# Библија

# Стар Завет

# Битие

Глава 1

1. Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата.
2. Земјата беше безоблична и празна; и имаше темнина над бездната; Духот Божји лебдеше над водата.
3. И рече Бог: 'Нека биде светлина!' И би светлина.
4. И виде Бог дека светлината е добра; и ја оддели Бог светлината од темнината.
5. И светлината Бог ја нарече ден, а темнината ја нарече нок. И би вечер, и би утро - ден први.
6. Потоа рече Бог: 'Нека има свод среде водата и тој да разделува вода од вода!'
7. И создаде Бог свод; и ја одвои водата од под сводот од водата над сводот. Така и стана.
8. И сводот Бог го нарече небо. И би вечер и би утро - ден втори.
9. И рече Бог: 'Нека се собере водата, што е под небото, на едно место, и нека се појави суво!' И стана така.
10. И сувото Бог го нарече замја, а собраните води ги нарече - мориња; и виде Бог дека е добро.
11. И пак рече Бог: 'Нека израсте од земјата зеленило - трева, што дава семе, според својот род и вид, и дрво плодородно на земјата, што дава плод и има во себе семе, според својот род и вид!' И стана така.
12. И пушти земјата од себе зеленило: трева што дава семе според својот род и вид, а и дрво плодородно што ра а плод, и чие семе е според нивниот род на земјата. И виде Бог дека е добро.
13. И би вечер, и би утро - ден трети.
14. Потоа рече Бог: 'Нека се појават светила на сводот небески, што ке ја осветлуваат замјата за да го делат денот од нокта, и да бидат знаци и за времињата, и за деновите и за годините;
15. и нека светат на сводот небески, за да ја осветлуваат замјата!' И би така.
16. И создаде Бог две големи светила: светило поголемо да управува со денот, а светило помало да управува со нокта, и ѕвезди;
17. и ги постави Бог на сводот небески да ја осветлуваат земјата,
18. и да управуваат со денот и нокта, и да ја одделуваат светлината од темнината. И виде Бог дека е добро.
19. И би вечер, и би утро - ден четврти.
20. Потоа рече Бог: 'Нека произведе водата лазачи, живи суштества, и птици да полетаат над земјата, под сводот небески!' И би така.
21. И создаде Бог големи риби и секаков вид животни влекачи, а кои ги произведе водата, според нивниот род, како и секаков вид крилати птици, според родот нивни. И виде Бог дека е добро.
22. И ги благослови Бог, велејки: плодете се и множете се, и наполнете ја водата во морињата, и птиците нека да се множат на земјата.
23. И би вечер, и би утро - ден петти.
24. Пак рече Бог: 'Нека произведе земјата од себе разни суштества според родот нивни: добиток, и лазачи, и ѕверки земни според нивниот род!' И би така.
25. И создаде Бог ѕверови земни, сопред родот нивни, и добиток според родот негов, и секакви гадинки на земјата, според родот нивни. И виде Бог дека е добро.
26. Потоа рече Бог: 'Да создадеме човек според Нашиот образ и подобие како што сме Ние, кој ке биде господар над рибите морски, и над птиците небески, и над ѕверовите - над целата земја и над сите гадинки што се движат по земјата!'
27. И го создаде Бог човекот според образот Свој, според образот Божји го создаде; машко и женско ги создаде.
28. И ги благослови Бог, и им рече: 'Плодете се, и множете се, и наполнете ја земјата, и господарете над неа, и овладајте ги рибите морски, и ѕверовите, и птиците, и сиот добиток, и со целата земја, и со сите животни што лазат по земјата.'

29. И рече Бог: 'Еве, ви дадов секаков вид растение, што дава семе, и какво има по целата земја, и секакви дрвја, што во себе имаат семе според својот род и вид: тоа да ви биде за храна!
30. А на сите ѕверови земни, и на сите птици небески, и на се што се движи по земјата, и во кое има жива душа, им ги дадов сите тревни растенија, за да имаат да јадат.' Така и стана.
31. И виде Бог дека е многу добро се она што го беше создал. И би вечер, и би утро - ден шести.

Глава 2

1. Така се доврши небото и земјата и сиот украс нивни.
2. И ги заврши Бог до седмиот ден делата Свои, што ги направи; и си отпочина во седмиот ден од сите дела Свои, што ги создаде.
3. И го благослови Бог седмиот ден, и го освети, зашто во тој ден си отпочина од сите дела Свои, што ги направи и создаде.
4. Ете така настанаа небото и земјата, во она време кога Господ Бог ги создаде земјата и небото.
5. И секое растение полско, што уште не беше на земјата, и секоја тревка земна, што уште не беше никнала, зашто Господ Бог уште не пракаше дожд на земјата,ниту, пак, имаше човек што ке ја обработува земјата,
6. но се креваше пара од земјата. И ја натопуваше површината на целата земја.
7. А го создаде Господ Бог човекот од прав земен и му дувна во лицето дух животен; и човекот стана жива душа.
8. И насади Господ Бог рај во Едем, на исток; и таму го смести човекот што го создаде.
9. И направи Господ Бог да израстат од земјата секакви дрвја, убави за гледање и добри за јадење, и дрвото на животот среде рајот, и дрвото за познавање на доброто и злото.
10. И вода течеше од Едем, за да го наводнува рајот, а потоа таа се раздвојуваше во четири реки.
11. Името на едната е Фисон; таа тече околу целата земја Хевилска, а таму има злато.
12. Златото на таа земја е добро; таму има и бделиум и камен оникс.
13. А на втората река името и е Геон; таа ја опкружува целата земја Куш.
14. Името, пак, на третата река е Тигар, а тече на исток од Асирија. Четвртата река е Ефрат.
15. И, земајки го Господ Бог човекот, кого го создаде, го воведе во градината Едемска, за да ја обработува и да ја пази.
16. И му заповеда Господ Бог на човекот и рече: 'Од секое дрво во градината можеш да јадеш,
17. освен од дрвото за познавење на доброто и на злото; од него не јади; зашто во оној ден кога ке вкусиш од него, ке умреш.'
18. И рече Господ Бог: 'Не е добро за човекот да биде сам; да му создадеме помошник, сличен на него!'
19. Тогаш Господ Бог ги создаде од земјата сите полски животни, и сите птици небески, и ги доведе кај човекот за да види како која ке ја нарече тој, па, како што човекот ке го нарече секое живо суштество, така да му биде и името.
20. И им даде човекот имиња на сиот добиток, и на птиците небески, и на сите ѕверови полски; но за човекот не се најде помошник, сличен на него.
21. Затоа Господ му прати на човекот тврд сон; па кога заспа, му зеде едно ребро, и местото го пополни со плот.
22. И Господ Бог создаде жена од реброто, што го зеде од човекот, и ја доведе кај човекот.
23. А човекот рече: 'Еве сега коска од моите коски, и плот од мојата плот. Нека и биде името жена, зашто е земена од мажот!'
24. Затоа ке го остави човекот таткото свој и мајката своја и ке се прилепи кон жената своја; и обата ке бидат едно тело.
25. И беа обајцата голи, Адам и жена му, и не им беше срам.

Глава 3

1. Но змијата беше полукава од сите ѕверови полски, што ги создаде Господ Бог; па и рече на жената: 'Вистина ли е дека Бог рекол да не јадете од ниедно дрво во рајот?'
2. А жената и рече на змијата: 'Ние јадеме род од секое дрво во рајот;
3. - само од родот на она дрво среде рајот, - рече Бог, - не јадете и не се допирајте до него, за да не умрете!'
4. Тогаш змијата и рече на жената: 'Не, вие нема да умрете!
5. Бог знае оти оној ден кога ке вкусите од него, ке ви се отворат очите, па ке станете како богови и ке знаете што е добро, а што зло.'
6. И жената, гледајки дека родот на дрвото е добар за јадење, и убав за гледање, и дека дрвото е пожелно поради знаењето, набра род од него и јаде, па му даде и на мажот свој, та и тој вкуси.
7. Тогаш им се отворија очите на обајцата, и увидоа дека се голи; па исплетоа лисја од смокви и си направија опашала.
8. И го чуја гласот на Господа Бога, кога Он одеше низ рајот во приквечерината; и се сокрија Адам и жена му.
9. Но Господ Бог го повика Адама и му реча: 'Адаме, каде си'?
10. А тој одговори: 'Го чув гласот Твој во рајот кога врвеше, па се уплашив, оти сум гол, и се сокрив.'
11. И Господ рече: 'Кој ти кажа дека си гол? Да не си јал од она дрво, од кое ти забранив да јадеш?'
12. Адам, пак, рече: 'Жената, која ми ја даде Ти, таа ми даде од дрвото, и јас јадев.'
13. Тогаш Господ Бог и рече на жената: 'Зошто го направи тоа?' Жената одговори: 'Змијата ме измами, и јас јадев.'
14. На змијата, пак, и рече Господ Бог: 'Затоа што си го направила тоа, проклета да си ме у сите животни и сите ѕверови полски; помешечки ке се влечеш и прав ке јадеш се до крајот на својот живот!
15. И ставам непријателство ме у тебе и жената и ме у родот твој и породот нејзин. Он ке ти ја гази главата, а ти ке го каснуваш во петата.'
16. А на жената и рече: 'Ќе ти ги умножам и преумножам маките кога си бремена; со болки ке ра аш деца, и ке бидеш под власта на мажот свој, и тој ке ти биде господар!'
17. Па потоа му рече на Адама: 'Бидејки ја послуша жената и вкуси од дрвото, од кое ти забранив и реков: - не јади од него - затоа земјата нека биде проклета поради тебе; со мака ке се храниш од неа се до крајот на својот живот;
18. трње и троскот ке ти ра а; и ти ке јадеш трева полска.
19. Со пот од лицето свое ке јадеш леб, се дури не се вратиш во земјата, од која си земен; зашто си земја, и во земја ке се вратиш!'
20. И ја нарече Адам жената своја Ева, бидејки таа стана мајка на сите живи.
21. А Господ Бог им направи на Адама и на жената негова облеки од кожа, и ги облече во нив.
22. И рече Господ Бог: 'Ете, Адам стана како еден од Нас, знаејки што е добро и што е зло; но сега да не ја испружи раката своја и да земе од дрвото на животот, и да вкуси, па да заживее вечно!'
23. Тогаш Господ Бог го изгони од градината Едем, за да ја обработува земјата, од која беше земен.
24. Откако, пак, го изгони Адама, постави на исток пред градината Едем херувим и огнено оружје, кое се вртеше и натаму и наваму, за да го пазат патот кон дрвото на животот.

Глава 4

1. Потоа Адам ја позна жената своја Ева, која зачна и го роди Каина, и рече: 'Придобив човек од Господа!'
2. Го роди уште и брата му Авела. И Авел стана овчар, а Каин беше земјоделец.
3. По некое време Каин му принесе на Господа дар од плодовите земни;
4. а и Авел исто така принесе од првината на стадото свое и од маста. И Господ погледна милозливо на Авела и на неговите дарови;
5. а на Каина и на неговите дарови не погледна милозливо. Затоа Каин се огорчи многу, и лицето му потемне.
6. Тогаш му рече Господ Бог на Каина: 'Зошто се огорчи? Зошто се помрачи лицето твое?
7. Зарем, кога правиш добро, не го креваш ли лицето? А ако не правиш добро, тогаш гревот е пред вратата: тој те влече кон себе, но ти надвладај го!'
8. И му рече Каин на својот брат Авела: 'Да појдеме в поле!' А кога беа во полето, Каин скокна на Авела, братот свој, и го уби.
9. Тогаш му рече Господ Бог на Каина: 'Каде е братот твој, Авел?' А тој одговори: 'Не знам; зар сум јас чувар на братот мој?'
10. А Господ рече: 'Што направи? Чуј! Гласот на крвта од братот твој вика од земјата кон Мене.
11. Затоа да си проклет од земјата, што ја отвори устата своја да ја прими крвта на братот од раката твоја.
12. Кога ке ја обработуваш земјата, таа нема повеке да ти ја дава својата сила; ти ке бидеш изгнаник и скитник по земјата!'
13. А Каин му рече на Господа: 'Казната моја е толку голема, што не може да се носи.
14. Ете, денес ме истеруваш од лицето на земјата, и од лицето Твое ке се кријам и ке бидам изгнаник и скитник по земјата: значи, секој што ке ме сретне, ке ме убие.'
15. А Господ Бог му рече: 'Тоа нема да се случи; оти, кој ке го убие Каина, седумпати ке се казни!' И му стави Господ Бог знак на Каина, за да не го убие никој, кој ке го сретне.
16. И си отиде Каин од пред лицето на Господа, и се насели како изгнаник во земјата Наит, источно од Едем.
17. И ја позна Каин жената своја, а таа забремени и го роди Еноха. Потоа соѕида град и го нарече според името на својот син Енох.
18. На Еноха му се роди Гајдад; а Гајдад го роди Малелеила; Малелеил, пак, го роди Матусала, а Матусал го роди Ламеха.
19. Ламех зеде две жени: на едната и беше името Ада, а на другата Села.
20. Ада го роди Јовила, а од него се изродија оние, што пасат добиток и живеат под шатори.
21. А на братот негов името му беше Јувал; од него се народија гуслари и свирачи.
22. Села, пак, го роди Товела, кој беше ковач на секакви работи од бакар и железо; а сестра на Товела му беше Ноема.
23. И им рече Ламех на жените свои, Ада и Села: 'Чујте го гласот мој, жени Ламехови; послушејте ги зборовите мои: ке убијам човек, кој ке ме рани, и младич, ако ме удри.
24. Ако Каин ке се одмазди седумпати, Ламех ке се одмазди седумдесет и седумпати!'
25. Адам, пак, ја позна жената своја, и таа му роди син, и му даде име Сит. Зашто рече: 'Господ ми даде син место Авела, кого го уби Каин.'
26. И на Сит му се роди син, кого го нарече Енос. Тогаш почна да се призовува името на Господа Бога.

Глава 5

1. Ова е родословот на Адама. Кога Бог го создаде човекот, го создаде според образот Божји.
2. Маж и жена ги создаде, и ги благослови, и ги нарече - човек - во денот кога беа создадени.
3. Адам поживе двесте и триесет години, кога му се роди син според подобието свое и според образот свој, и му даде име Сит.
4. А откако го роди Сита, Адам поживе уште седумстотини години, ра ајки синови и керки.
5. И сите денови, што ги поживе Адам, изнесуваа деветстотини и триесет години; потоа тој умре.
6. Сит, пак, поживе двесте и пет години и му се роди Енос.
7. По ра ањето на Еноса, Сит живееше уште седумстотини и седум години, ра ајки синови и керки;
8. така поживе Сит вкупно деветстотини и дванаесет години; и умре.
9. Енос, пак, живееше сто и дваесет години, кога му се роди Каинан.
10. А откако го роди Каинана, Енос живееше уште седумстотини и петнаесет години, ра ајки синови и керки;
11. и така сите денови на Еносовиот живот изнесуваа деветстотини и пет години; потоа тој умре.
12. Каинан, пак, поживе сто и седумдесет години и го роди Малелеила;
13. а по ра ањето на Малелеила Каинан живееше уште седумстотини и четириесет години, ра ајки синови и керки.
14. И така Каинан поживе вкупно деветстотини и десет години; и умре.
15. А Мелелеил поживе сто шеесет и пет години, и го роди Јареда.
16. По Јаредовото ра ање Малелеил живееше уште седумстотини и триесет години, ра ајки синови и керки.
17. А сите денови од животот на Малелеила беа осумстотини деведесет и пет години; потоа тој умре.
18. Јаред, пак, поживе сто и шеесет години и го роди Еноха;
19. а откако го роди Еноха, Јаред живееше уште осумстотини години, ра ајки синови и керки.
20. Сите денови, пак, од животот на Јареда изнесуваа деветстотини шеесет и две години; и умре.
21. Енох, откако поживе сто шеесет и пет години, го роди Матусала;
22. а по ра ањето на Матусала, Енох одеше според вољата Божја двесте години, ра ајки синови и керки.
23. А сите денови од Еноховиот живот изнесуваа триста шеесет и пет години.
24. И Енох, живеејки според вољата Божја, исчезна, бидејки Бог го зеде.
25. Матусал, пак, поживе сто осумдесет и осум години, и го роди Ламеха;
26. па, откако го роди Ламеха, Матусал живееше уште седумстотини осумдесет и две години, ра ајки синови и керки;
27. а сите денови од животот на Матусала беа деветстотини шеесет и девет години; потоа умре.
28. Ламех, пак, откако поживе сто осумдесет и две години, доби син.
29. и го нарече Ное, велејки: овој ке не утеши во работите наши и во трудот на рацете наши на земјата, што Господ Бог ја проколна.
30. А откако се роди Ное, Ламех поживе уште петстотини шеесет и девет години, ра ајки синови и керки.
31. Така поживе Ламех вкупно седумстотини педесет и три години; и умре.
32. Ное имаше петстотини години, кога ги роди трите сина: Сима, Хама и Јафета.

Глава 6

1. А кога лу ето почнаа да се множат на земјата, и керки им се народија,
2. тогаш синовите Божји, гледајки ги керките човечки дека се убави, ги земаа, кои што ги сакаа, за жени.
3. И рече Господ Бог: 'Духот Мој нема вечно да пребива во лу ето, зашто тие се тело; ете деновите нивни нека им бидат сто и дваесет години.'
4. А имаше во тоа време xинови на земјата, особоно, пак, кога синовите Божји почнаа да влегуваа при керките човечки и тие почнаа да им ра аат; тоа се силните лу е, прочуени од старото време.
5. И виде Господ Бог дека лошотиите ме у лу ето на замјата се големи, и дека сите мисли и помисли во срцата нивни беа зли во секое време.
6. И се покаја Бог што го беше создал човекот на земјата, па се огорчи во срцето Свое.
7. И рече Господ: 'Kе ги истребам лу ето што сум ги создал, од земјата - од човекот до животното, ѕверовите и птиците небески - оти се кајам што ги создадов.'
8. Но Ное најде милост пред очите на Господа Бога.
9. Еве го животот на Ноја: Ное беше човек праведен и непорочен во својот род; Ное живееше секогаш според вољата Божја.
10. И му се родија на Ное три сина: Сим, Хам и Јафет.
11. А земјата се израсипа пред лицето на Бога, и се исполни со неправда.
12. И погледна Господ Бог на земјата, и ете - таа беше расипана: бидејки секоја плот беше се отклонила од својот пат на земјата.
13. И му рече Господ Бог на Ноја: 'Крајот на секое тело пред очите Мои дојде, зашто се исполни земјата со неправда од нив; и, еве, Јас ке ги истребам нив од земјата.
14. Изгради си за себе ковчег од дрвото гофер, и направи прегради во ковчегот; потоа намачкај го со смола одвнатре и однадвор.
15. А изгради го вака: должината на ковчегот да биде триста лакти, ширината негова педесет лакти, а во висина да е триесет лакти.
16. Направи и прозорец на ковчегот, и засводи го на еден лакот одозгора; стави му и врата на ковчегот отстрана и нека има три ката во него: долен, среден и горен.
17. Јас ке пуштам потоп, вода, на земјата, за да ја истребам под небото секоја плот, во која има дух животен, се, што е на земјата, ке изгине.
18. Но со тебе Јас ке направам завет Свој, а во ковчегот ке влезеш ти, и со тебе и синовите твои, и жената твоја, и жените на синовите твои.
19. И внеси во него исто така од сите животни, од секој добиток и од сите влекачи, и од секоја плот да има по две, за да останат со тебе во живот; а од машки и женски пол да бидат.
20. Од птиците според родот нивни, и од добитокот според родот негов, и од сите влекачи според нивниот род, и тоа се по две ке влезат при тебе, за да останат живи со тебе, пород од машки и женски пол.
21. И земи со себе секаква храна, со каква се хранат, и чувај ја при себе; тоа ке биде храната за тебе и за нив!'
22. И направи Ное се: направи така како што му заповеда Господ Бог.

Глава 7

1. И му рече Господ Бог на Ноја: 'Влези во ковчегот ти и целиот дом твој, бидејки те видов праведен пред Себе во овој род,
2. и земи со себе од секое чисто животно по седум од машки и женски пол, а од животните нечисти по две, машки пол и женски пол;
3. исто така и од птиците небески по седум, машки пол и женски, и од сите нечисти птици по две, за да им се зачува родот нивни по целата земја.
4. Оти по седум дена ке пуштам дожд на земјата, што ке се излива четириесет дена и четириесет ноки и ке го истребам од земјата секое суштество, што сум го создал Јас.'
5. И Ное направи се што му заповеда Господ Бог.
6. А Ное имаше шестотини години кога дојде потопот на земјата.
7. И влезе Ное во ковчегот, и синовите негови, и жената негова, и жените на синовите негови со него, заради потопот од вода.
8. И од животните чисти и од животните нечисти, и од птиците и од се што се влечеше по земјата;
9. влегоа при Ноја во ковчегот по две, машко и женско, како што му заповеда на Ноја Бог.
10. А по седмиот ден дојдоа водите од потопот на земјата.
11. Кога имаше Ное шестотини години, во вториот месец во таа година, дваесет и седмиот ден од тој месец, во тој ден бликнаа сите извори на големата бездна и се отворија окната небески;
12. и се лиеше дожд на земјата четириесет дена и четириесет ноки.
13. Во истиот ден влезе во ковчегот Ное, и Сим, и Хам и Јафет, синовите негови, и жената Ноева, и трите жени на синовите негови со нив.
14. Тие, и сите ѕверови според родот нивни, и добитокот според неговиот род, и сите гадови, што се влечеа по земјата, според нивниот род, и се што лета, според родот негов, птиците сите и се што има крилја,
15. влегоа во ковчегот при Ноја по две единки од машки и женски пол од секоја плот, во која имаше животен дух;
16. и тие што влегоа, машки и женски пол влегоа од секоја плот, како што му беше заповедал Бог. И Господ Бог потоа го затвори ковчегот однадвор.
17. Натопувањето на земјата потраја четириесет дена и четириесет ноки; водата надојде и го подзеде ковчегот; и тој се крена од земјата;
18. водата се засилуваше многу и се умножуваше на земјата, и ковчегот пливаше врз водата.
19. И се засили водата на земјата толку многу, што ги покри сите високи планини, какви што има под целото небо;
20. петнаесет лакти се издигаше водата над планините, откако ги покри.
21. Тогаш го изгуби животот секоја плот, што се движеше по земјата: и птиците, и добитокот, и ѕверовите, и сите лазачи, што се влечат по земјата, и сите лу е;
22. се, што на суво имаше здив во ноздрите свои, изумре.
23. И се истреби секое живо суштество, што се движеше на земјата: од човекот до ѕверот, лазачите и птиците небески - се беше истребено од земјата; само Ное остана, и оние, кои беа со него во ковчегот.
24. А водата се издигаше над земјата сто и педесет дена.

Глава 8

1. И си спомна Бог за Ноја, и за сите ѕверови и сиот добиток, што беше со него во ковчегот; и навеа Бог ветар на замјата, и водите запреа.
2. Изворите на безднатa и окната небески се затворија, и дождот од небото престана.
3. Водата почна постепено да опа а на замјата, и по сто и педесет дена намали.
4. И се запре ковчегот во седмиот месец на седумнаесеттиот ден на ридовите од планината Арарат.
5. Водата, пак, опа аше се повеке до десеттиот месец; и во првиот ден од десеттиот месец се покажаа врвовите на планините.
6. А по четириесет дена го отвори Ное прозорецот на ковчегот, што го беше направил;
7. И пушти гавран, да види дали се повлекла водата на замјата и, откако одлета, не се врати додека не се исуши водата.
8. Потоа пушти гулаб, за да види дали исчезнала водата од лицето на земјата;
9. но гулабот, бидејки не најде каде да застане со своите нозе, се врати кај него во ковчегот, зашто уште имаше вода по целата земја; и Ное ја спружи раката, го фати и го зеде кај себе во ковчегот.
10. Почека уште други седум дена, и повторно го пушти гулабот од ковчегот.
11. Гулабот се врати кај него приквечер, и тоа, во клунот со свеж маслинов лист; така позна Ное дека опаднала водата од земјата.
12. Почека потоа уште седум дена, и одново го пушти гулабот, а тој повеке не му се врати.
13. Во шестотини и првата година, во првиот ден од првиот месец на Ноевиот живот, ја снема водата од земјата; и Ное го отвори покривот, и ја виде земјата сува.
14. А на даваесет и седмиот ден, од второиот месец, целата земја беше сува.
15. Тогаш му рече Господ Бог на Ноја:
16. 'Излези од ковчегот, ти и жената твоја, а со тебе и синовите твои, и жените на синовите твои;
17. сите животни, што се со тебе од секое суштество, од птиците, добитокот и сите влекачи што лазат по земјата, изведи ги со себе, нека се растурат по земјата, и нека се плодат и множат на земјата!'
18. И излезе Ное, а со него и синовите негови, и жената негова, и жените на синовите негови;
19. сите ѕверови, и сиот добиток и сите лазачи, сите птици - се што се движи по земјата, според родот нивни, излегоа од ковчегот.
20. И Му направи Ное жртвеник на Господа; зеде од секој чист добиток и од сите птици чисти, и принесе на жртвеникот жртви сепаленици.
21. И Господ го почувствува мирисот пријатен, па рече Господ Бог, помислувајки: 'Нема повеке да ја проколнувам земјата поради човекот, зашто помислите на срцето човечко се зли уште од младини; и нема повеке да ги униatuam живите суштества, што ги создадов.
22. Отсега, па се дури постои земјата, нема да престанат сеењето и жнеењето, студот и горештината, летото и зимата, деновите и ноките.'

Глава 9

1. Тогаш Бог го благословиНоја и синовите негови, и им рече: 'Плодете се и множете се, и полнете ја земјата и владејте ја!
2. А сите ѕверови земни и сите птици небески, и сиот земен добиток, и се што се движи по земјата, и сите морски риби да се плашат од вас: во ваши раце се предадени.
3. Се што се движи и живее, ке ви биде храна; сето тоа ви го дадов, како што ви го дадов зеленото растение.
4. Само да не јадете месо во кое има уште душа, односно крвта негова.
5. А и вашата крв, односно вашиот живот, ке го барам; од секој ѕвер ке го барам, ке ја барам, исто така, душата човечка од раката на човек, од раката на братот негов;
6. кој ке пролее крв човечка, и неговата крв ке се пролее од човечка рака; зашто човекот го создадов според образот Божји.
7. Вие, пак, плодете се и множете се; ширете се на земјата и наполнете ја и владејте ја!'
8. И му рече Господ на Ноја и синовите негови со него, велејки:
9. 'А Јас, еве, го поставувам заветот Мој со вас и со вашето потомство по вас,
10. и со секоја жива душа, која е со вас, со птиците, и со добитокот, и со сите ѕверови земни, што се со вас, со се она што излегло од ковчегот, со сите земни животни;
11. го поставувам заветот Мој со вас дека отсега нема веке ниедна плот да загине од потоп и дека повеке не ке има потоп да ја запустува земјата!'
12. И рече Бог: 'Еве го знакот на заветот, што го поставувам ме у Мене и вас и ме у секоја жива душа, која е со вас, за идните поколенија:
13. божилак Свој поставувам во облакот, за да биде знак на заветот ме у Мене и земјата.
14. Па кога облак ке навеам на земјата, ке се види божилакот во облакот,
15. и ке си спомнам за заветот Мој, кој е ме у Мене и вас и ме у секоја душа, што живее во плот; и нема веке да има потоп за да ја уништи секоја плот.
16. Божилакот ке биде во облакот, и Јас ке го видам и ке си спомнам за вечниот завет ме у Бога и ме у секоја душа, што живее во секоја плот, која е на земјата.'
17. И му рече Бог на Ноја: 'Тоа нека е знакот на заветот, што го поставив ме у Мене и ме у секоја плот, која е на земјата!'
18. Синовите Ноеви, кои излегоа од ковчегот, беа: Сим, Хам и Јафет. Хам е татко на Хананејците.
19. Тоа се трите сина Ноеви, и од нив се насели целата земја.
20. А Ное почна да ја обработува земјата, и насади лозје.
21. И се напи од виното, па се опи, и легна гол среде шаторот свој.
22. А Хам, таткото на Хананејците, ја виде голотијата на таткото свој, и излезе, та им го кажа тоа на обајцата брака свои.
23. Но Сим и Јафет зедоа облека, и, наметнуваки ја на рамената свои, појдоа назадешкум и ја покрија со неа голотијата на таткото свој; лицата им беа свртени наназад, и тие не ја видоа голотијата на таткото свој.
24. А кога се истрезни Ное од виното, дозна што му беше направил помладиот син,
25. па рече, 'Проклет да е Ханан; на браката свои ке им биде најдолен слуга!'
26. И уште рече: 'Благословен да е Господ Бог Симов; а Ханан ке му биде слуга!
27. Нека го рашири Бог Јафета, и тој нека живее во шаторите на Сим; а Ханан да им биде слуга!'
28. И поживе Ное по потопот триста и педесет години.
29. А се на се поживе Ное деветстоитни и педесет години; потоа умре.

Глава 10

1. А ова е родословот на синовите Ноеви: Сим, Хам и Јафет, на кои по потопот им се родија синови.
2. Синовите на Јафета се: Гомер, Магог, Мадај, Јаван, Елиса, Тувал, Месех и Тирас.
3. А синовите Гомерови се: Аскеназ, Рифат, и Тогарма.
4. Синовите, пак, Јаванови се: Елиса, Тарсис, Китим и Доданим.
5. Од нив се разгранаа острови на народи во земјите нивни, секој според јазикот свој, според родот свој, и народот свој.
6. Хамовите синови се: Хус и Месраим, Фут и Ханан.
7. А синовите Хусови: Сава, Евила, Савата, Регма и Саватака. Синовите, пак, Регманови се: Сава и Дадан.
8. Хус го роди Нимрода; а тој прв стана силен на земјата;
9. беше добар ловец пред Господа Бога; затоа се вели: - добар ловец пред Господа како Нимрод -.
10. А почетокот на неговото царство беше: Вавилон, Орех, Аркад и Халне, сите во земјата Сенар.
11. Од таа земја излезе Асур, и ја соѕида Ниневија и Ровот град, и Халах,
12. и Дасем ме у Ниневија и Халах; тој е град голем.
13. Од Месраима произлегоа Лудејците, Енамејците, Лавијците, Нефталејците,
14. па Патрусејците и Хасмејците, од кои водат потекло Филистејците и Гафторејците.
15. А Ханан го роди Сидона, првенец свој, и Хета,
16. потоа Јевусејците, Аморејците, Гергесејците,
17. Евејците, Арукејците, Асенејците,
18. Арадејците, Самарејците и Аматејците. А потоа племињата хanански пак се расеаја.
19. Пределите, пак, хanански беа од Сидон кон Герар до Газа, и потоа до Содом, Гомор, Адма и Севоим па се до Даса.
20. Тоа се синовите Хамови, според семејствата нивни, според јазиците нивни, во нивните земји и во народите свои.
21. И на Сим му се родија синови, на постариот брат Јафетов, татко на сите синови Еверови.
22. А синовите Симови беа: Елам, Асур, Арфаксад, Луд и Арам.
23. Синовите, пак, Арамови се: Уз, Хул, Гатер и Мас.
24. Арфаксад го роди Сала, а Сала го роди Евера.
25. На Евера му се родија двајца синови: на едниот му беше име Фалек, зашто во неговото време се раздели земјата, а името на брата му беше Јектан.
26. Јектан го роди Елмодада, Салета, Сармота и Јареха,
27. Одора, Евила и Декла,
28. па Евала, Авимаила и Сева,
29. потоа Уфира, Евила и Јовава, и сите тие беа синови Јектанови.
30. Живеалиштата им беа од Маса до Сефар, гора источна.
31. Тоа се Симовите синови според семејствата нивни, според јазиците нивни, во нивните земји и во нивните народи.
32. Тоа се семејствата на синовите Ноеви според нивните родови, и според јазиците нивни. Од нив се разделија острови на народи во земјата по потопот.

Глава 11

1. По целата земја имаше еден јазик и еден говор.
2. А кога отидоа од исток, најдоа рамнина во земјата Сенарска, та се населија таму.
3. И си рекоа му е себе: 'Ајде да правиме тули и на оган да ги печеме!' И имаа тули наместо камен и смола земјана наместо вар.
4. Потоа рекоа: 'Сега да соѕидаме град и кула, висока до небото; и да се здобиеме со име, пред да се растуриме по лицето на целата земја!'
5. Тогаш Господ се спушти да го види градот и кулата, што ги ѕидаа синовите човечки.
6. И рече Господ: 'Ете, еден народ се и сите имаат еден јазик, но еве што почнале да прават; и нема да се откажат да го направат тоа, што го наумиле.
7. Ајде да слеземе и да им го збркаме јазикот нивни за да не се разбираат еден со друг што зборуваат!'
8. И така Господ ги растури оттаму по целата земја, и престанаа да го ѕидаат градот и кулата.
9. Затоа тој се нарече Вавилон, зашто таму го збрка Господ јазикот на целата земја и оттаму ги растури Господ по целата земја.
10. Ова е родословот Симов: Сим имаше сто години кога го роди Арфаксада, две години по потопот.
11. И откако го роди Арфаксада, поживе Сим петстотини години, ра ајки синови и керки, и умре.
12. А Арфаксад поживе сто триесет и пет години и го роди Сала.
13. По ра ањето, пак, на Сала, Арфаксад поживе четиристотини и три години, ра ајки синови и керки, и умре.
14. Сала поживе сто триесет години и го роди Евера.
15. А, откако го роди Евера, Сала поживе четиристотини и триесет години, ра ајки синови и керки.
16. Евер поживе сто триесет и четири години, и го роди Фалека.
17. По ра ањето на Фалека, Евер поживе четиристотини и седумдесет години, ра ајки синови и керки, и умре.
18. А Фалек поживе сто и триесет години и го роди Рагава.
19. А, откако го роди Рагава, Фалек поживе двесте и девет години, ра ајки синови и керки, и умре.
20. Рагав поживе сто и триесет и две години и го роди Серуха;
21. а откако го роди Серуха, Рагав поживе двесте и седум години, ра ајки синови и керки, и умре.
22. Серух поживе сто и триесет години и го роди Нахора;
23. По ра ањето на Нахора, Серух поживе двесте години, ра ајки синови и керки, и умре.
24. Нахор, пак, поживе седумдесет и девет години и го роди Тара;
25. но штом го роди Тара, Нахор поживе сто и деветнаесет години, ра ајки синови и керки, и умре.
26. Тара поживе седумдесет години и го роди Аврама, Нахора и Арана.
27. А еве го родословот на Тара: Тара го роди Аврама, Нахора и Арана; а Аран го роди Лота.
28. И Аран умре пред таткото свој Тара во родната земја, во Ур Халдејски.
29. А Аврам и Нахор се оженија; името на жената Аврамова беше Сара, а на жената Нахорова името и беше Мелха, керка на Арана, татко на Мелха и Есха.
30. Сара беше неплодна и немаше пород.
31. И го зеде Тара синот свој, Аврама, и внукот од синот свој, Лот, син Аранов, и Сара, снаата своја, жената на неговиот син Аврам; па излегоа заедно од Ур Халдејски за да појдат во земјата Хананска; и дојдоа до Харан, каде што се и населија.
32. И поживе Тара се на се двесте и пет години; и умре Тара во Харан.

Глава 12

1. И му рече Господ на Аврама: 'Излези од земјата своја, и од родот свој, и од домот на татка си, па појди во земјата, што ке ти ја покажам Јас!
2. А од тебе ке направам голем народ, и ке те благословам, и името твое ке го прославам и ти ке бидеш благословен.
3. Ќе ги благословам оние, што тебе ке те благословуваат, и ке ги проколнам оние, што тебе ке те проколнуваат и преку тебе ке бидат благословени сите родови на земјата.'
4. Тогаш тргна Аврам, како што му кажа Господ, а со него појде и Лот. А Аврам имаше седумдесет и пет години кога излесе од Харан.
5. И ги зеде Аврам Сара, жената своја, и Лота, братанецот свој, со целиот имот што го беа спечалиле, и лу ето што ги беа придобиле во Харан, па излегоа за да отидат во земјата Хананска.
6. И Аврам ја измина таа земја во должина дури до Сихем и до високиот даб Мамре; а тогаш во таа замја живееја Хананејци.
7. И му се јави Господ на Аврама и му рече: 'Оваа земја ке му ја дадам на твоето потомство.' И направи таму Аврам жртвеник на Господа, Кој му се јави.
8. Потоа оттаму се премести на ридот, на исток од Ветил, и таму го распна шаторот свој; и Ветил му беше од запад, а Гај од исток; и таму Му направи на Господа жртвеник, и го призиваше името Господово, што му се јавуваше.
9. А оттаму се крена Аврам и се упати кон југ.
10. Но настана глад во таа замја и Аврам слезе во Египет да поживее таму; зашто гладта продолжи во оваа земја.
11. И кога наближи да влезе во Египет, и рече на жената своја Сара: 'Еве, знам дека си жена лична во лицето.
12. Затоа, кога ке те видат Египтјаните, ке речат - оваа му е жена - . Па ке ме убијат, а тебе ке те остават во живот.
13. Туку кажи, дека си ми сестра, за да ми биде добро покрај табе и да останам жив поради тебе.
14. И кога влезе Аврам во Египет, Египтјаните видоа дека жената е многу убава.
15. Ја видоа и првенците Фараонови, па ја пофалија пред Фараонот. И жената беше одведена во дворот Фараонов.
16. И заради неа тој му правеше добро на Аврама; имаше овци, говеда, осли, слуги, слугинки, маски и камили.
17. Но Бог пушти големо зло на Фараонот и на неговиот дом поради Сара, жената Аврамова.
18. Тогаш Фараонот го повика Аврама и му рече: 'Зошто ми го направи тоа? Оти не ми кажа дека ти е жена?
19. Зошто рече - сестра ми е - па сакав да ја земам за жена. Сега, пак, ете ти ја жената, земи си ја и оди си!'
20. И Фараонот определи лу е, кои го испратија Аврама и жената негова, со се што имаше, и Лота со него.

Глава 13

1. Така излезе Аврам од Египет кон југ, во пустињата Негев, тој, жената негова, и се што имаше, а и Лот со него.
2. А Аврам беше многу богат со добиток, со сребро и со злато.
3. И отиде, од каде што појде, во пустињата се до Ветил; продолжи да патува се до местото, каде што порано му беше поставен шаторот, ме у Ветил и Гај;
4. На местото, каде што најнапред беше подигнал жртвеник; и таму го призва Аврам името Господово.
5. А и Лот, кој одеше со Аврама, имаше овци, говеда и шатори.
6. И земјата беше тесна, за да живеат заедно, бидејки имотот нивни беше толку голем, што не можеа да живеат заедно.
7. И стана караница ме у пастирите на Аврамовиот добиток и пастирите на Лотовиот добиток. А во таа замја живееја тогаш Хананејци и Ферезејци.
8. Затоа Аврам му рече на Лота: 'Не треба да се караме јас и ти, ни моите пастири со твоите пастири, зашто сме роднини.
9. Не е ли пред тебе целата земја? Оддели се од мене. Ако тргнеш ти на лево, јас ке тргнам на десно; ако ти појдеш на десно, јас, пак, на лево.'
10. Тогаш Лот ги крена очите свои и ја виде целата околина Јорданска, која, пред Бог да ги уништи Содом и Гомор, целата, се до Сигор се напојуваше со вода, како рајот Божји и како земјата Египетска.
11. И Лот ја избра за себе целата околина Јорданска; па појде Лот кон исток; и се разделија еден од друг.
12. Аврам се насели во земјата Хананска, а Лот се настани ме у градовите на околината, преместувајке се се до Содом.
13. Лу ето, пак, во Содом беа лоши, и многу грешни пред Бога.
14. И му рече Бог на Аврама, откако Лот се оддели од него: 'Крени ги сега очите свои, па погледни од местото, каде што си, на север и на југ, на исток и на запад,
15. зашто целата земја, што ја гледаш, ке ти ја дадам тебе и на потомството твое довека;
16. ке го умножам потомството твое да биде колку што е песокта на земјата; ако некој може да ја изброи песокта на земјата, тоа ке може да го изброи и потомството твое.
17. Стани и изоди ја оваа земја во должина и во широчина, зашто ке ти ја дадам тебе и на потомството твое довека.'
18. И Аврам ги крена шаторите свои, и отиде да се насели кај дабот Мамре, што беше во Хеврон, и таму Му направи жртвеник на Господа.

Глава 14

1. Во она време сенарскот цар Амарфал, еласарскот цар Ариох, еламскиот цар Ходологомор и гоимскот цар Таргал,
2. сите тие цареви завојуваа против содомскот цар Вал, против гоморскиот цар Варса, против адамскот цар Сенар, севоимскот цар Симовор и со царот на Валак, односно Сигор.
3. Сите тие се собраа во долината Сидим, која е сега Солено Море.
4. Дванаесет години му служеа на Ходологомор, а во тринаесеттата се побунија.
5. Во четиринаесеттата дојде Ходологомор и царевите, кои беа со него, па ги поразија ҳиновите во Астарот и во Карнаим, Зузејците во Хам, Омејците во долината Каријатим,
6. И Хорејците во гората нивна Сеир, дури до рамнината Ел Фаран, која се нао а покрај пустињата.
7. А кога се вратија оттаму, дојдоа до изворот Мисфат, односно Кадис, и ја опустошија целата област Амаликитска, како и Аморејците, кои живееја во Асасах - Тамар.
8. Тогаш излегоа царот содомски и царот гоморски, царот адски, царот севоимски и царот од Валака, односно Сигор, и појдоа во борба против нив во долината Сидим,
9. против Ходологомор, царот еламски, и Тагар, царот гоимски, и Амарфал, царот сенарски, и Ариох, царот еласарски; четири цара против пет.
10. Во долината Сидим имаше, пак, многу јами, од кои се вадеше смола. И побегнаа царот содомски и царот гоморски, и паднаа во нивни плен; а другите избегаа во планините.
11. И го зедоа целиот имот на Содом и Гомор и сета храна нивна, па си отидоа.
12. Го зедоа и Лота, братанецот Аврамов, кој живееше во Содом, и богатството негово, и си отидоа.
13. А еден од оние, што се беа избавиле, дојде и му се јави на Евреинот Аврам, кој тогаш живееше при дабот Мамре, Амореецот, брат Есколов и брат Абнанов, Аврамови сојузници.
14. А кога Аврам чу дека му е заробен братанецот Лот, ги вооружа слугите свои, триста и осумнаесет, кои се родија во неговата кука, и тргнаа во потера до Дан.
15. Тука ги распореди своите и удри на нив ноке, со слугите свои, и ги разби, и ги гонеше до Ховал, кој е лево од Дамаск.
16. И го поврати целиот имот содомски; го врати и Лота, братанецот свој, со богатството негово, и жените и народот.
17. А царот содомски му излезе во пресрет, кога се врати, откако го разби Ходологомор и царевите, што беа со него, во долината Савин, која е сега Долина на царевите.
18. И Мелхиседек, царот салимски, изнесе леб и вино; а тој беше свештеник на Севишниот Бог,
19. па го благослови Аврама, велејки: 'Благословен да е Аврам од Севишниот Бог, Создателот на небото и земјата!
20. Благословен да е и Севишниот Бог, Кој ги предаде непријателите твои во рацете твои!' И му даде Аврам десетти дел од се.
21. А царот, пак, содомски му рече на Аврама: 'Дај ми ги мене лу ето, а имотот земи си го за себе!'
22. Но Аврам му рече на царот содомски: 'Ја кревам раката своја кон Севишниот Господ Бог, Создател на небото и земјата,
23. дека ни конец, ниту, пак, ремен од обувки, нема да земам од се она, што е твое, да не речеш - јас го збогатив Аврама -,
24. освен, она што изедоа момците, и освен делот на лу ето, што одеа со мене: Ескол, Авнан, и Мамре; тие нека го земат својот дел.'

Глава 15

1. По оние настани би слово Господово кон Авраама во видение ноке и му рече: 'Не бој се, Авраме! Јас сум ти закрила, и наградата твоја ке биде многу голема.'
2. А Аврам рече: 'Господи, зошто да ми дадеш кога сум без пород; а домакин во мојата кука е Елиезер дамаскинецот.'
3. И пак рече Аврам: 'Бидејки, Ти не ми даде потомство, ете, затоа еден од домашните во куката моја ке биде наследник.'
4. Но Господ пак проговори: 'Нема тој да ти биде наследник, туку оној, што ке излезе од тебе, тој ке ти биде наследник.'
5. Па го изведе надвор и му рече: 'Погледни на небото и изброј ги ѕвездите, ако можеш да ги изброиш.' И му рече: 'Толкаво ке биде потомството твое.'
6. И Му поверува Аврам на Господа Бога, и тоа му се прими за оправдание.
7. И му рече: 'Јас сум Бог, Кој те изведе од Ур Халдејски за да ти ја дадам оваа земја, да ја владееш.'
8. А тој рече: 'Господи, Господи, по што ке познаам дека ке ја наследам?'
9. И му рече: 'Принеси му јуница, од три години, и коза тригодишна, и овен, од три години, а и грлица и млад гулаб!'
10. И тој го зеде сето тоа, и ги пресече на половина и ги стави сите половини една спроти друга; но птиците не ги преполови.
11. А птици грабливки слетуваа на тие мрши; но Аврам ги бркаше.
12. А кога сонцето беше на залез, го совлада Аврама длабок сон, и ете, го опфати голем мрак - и го обзеде ужас.
13. И Господ му рече на Аврама: 'Знај дека потомците твои ке бидат придојдени во ту а земја, ке робуваат и ке ги мачат четиристотини години.
14. Но на народот, на кој ке му служи, Јас ке му судам; потоа тие ке излезат оттаму со големо богатство.
15. А ти ке отидеш кај татковците свои во мир, и ке бидеш погребан во длабока старост.
16. Тие, пак, во четвртото колено ке се вратат ваму; зашто мерката на безаконијата Аморејски уште не превршила.'
17. А штом сонцето зајде, падна мрак, и ете, дим како од печка и огнен пламен поминува ме у оние делови.
18. Во тој ден Господ направи завет со Аврама, велејки: 'На потомството твое му ја давам оваа земја од реката во Египет до големата река Еуфрат:
19. Кенејците, Кенезејците, Кедмонејците,
20. Хетејците, Ферезејците, Рефаинците,
21. Аморејците, Хананејците, Гергесејците и Јевусејците!'

Глава 16

1. Но Сара, жената на Аврама, не му ра аше. А имаше слугинка Египтјанка, по име Агара.
2. И му рече Сара на Аврама: 'Ете, Господ ми ја затвори утробата за да не ра ам; туку оди при слугинката моја, можеби ке добијам деца од неа.' И Аврам се согласи со зборовите на Сара.
3. И така, откако Аврам преседе десет години во земјата Хананска, Сара, жената Аврамова, ја зеде слугинката своја, Египтјанката Агара, и му ја даде на мажот свој Аврама за жена.
4. И тој влезе при Агара, и таа зачна; а кога виде дека зачна, се возгордеа пред господарката своја.
5. А Сара му рече на Аврама: 'Навредата моја е вина твоја; јас ти ја препуштив во преград слугинката моја, а таа, гледајки дека зачна, се возгордеа пред мене. Бог нека суди ме у мене и тебе.'
6. Тогаш Аврам и рече на Сара: 'Ете, слугинката твоја е во твои раце, прави со неа што сакаш!' И Сара почна да ја злоставува, и таа избега од неа.
7. Но ангел Господен ја најде при изворот во пустињата, при изворот на патот за Сур.
8. И и рече: 'Агаро, слугинко Сарина, од каде доа аш и каде одиш?' А таа рече: 'Бегам од Сара, господарката моја.'
9. Ангелот Господен пак и рече: 'Врати се кај господарката твоја и покори и се!'
10. И ангелот Господен уште рече: 'Ке го умножам многу потомството твое, што не ке може да се изброи од множество.'
11. И пак и рече ангелот Господен: 'Ете ти си бремена и ке родиш син, и ке го наречеш со името Исмаил; оти Господ ја чу маката твоја.
12. Тој ке биде силен човек: раката негова ке се крева против секого, и сечија против него; и ке живее пред лицето на сите брака свои.'
13. Тогаш Агара Го призва името на Господа, Кој и зборуваше, и рече: 'Ти си Бог, Кој милостивно погледна на мене,' зашто рече: 'Пред себе Го видов Оној што ми се јави.'
14. Заради тоа тој извор се нарече Беер - Лахај - Рој, а се нао а ме у Кадис и Варад.
15. И му роди Агара на Аврама син; и му стави Аврам на синот свој, кого го роди Агара, име Исмаил.
16. А Аврам имаше осумдесет и шест години кога Агара му го роди Исмаила.

Глава 17

1. А кога Аврам имаше деведесет и девет години му се јави Господ на Аврама и му рече: 'Јас сум Бог твој, оди пред Мене и биди непорочен!
2. И ке направам завет ме у Мене и тебе, и многу, многу ке те размножам.'
3. Аврам падна ничкум. А Бог продолжи да му говори и му рече:
4. 'А ова е заветот Мој со тебе: ке станеш татко на многу народи.
5. Затоа повеке нема да се викаш Аврам, туку името ке ти биде Авраам, оти ке те направам татко на многу народи;
6. и многу, многу ке те умножам, и ке издигнам од тебе многу народи, и цареви ке излезат од тебе.
7. И ке поставам завет Мој ме у Мене и тебе и ме у твоите потомци по тебе во нивните родови; ке направам заветот да биде вечен, ке ти бидам Бог тебе и на потомците твои по тебе.
8. И ке ти ја дадам тебе и на потомството твое по тебе земјата, во која си придојден, целата земја Хананска во вечно владеење; и ке им бидам нивни Бог.'
9. И му рече Бог на Авраама: 'Ти, пак, запази го заветот Мој, ти и потомството твое по тебе во нивните родови!
10. А ова е заветот Мој ме у Мене и вас и потомците твои во нивните родови, што ке го пазите: секое машко од вас нека биде обрезано.
11. А ке обрезувате крајче од телото свое; тоа ке биде знак на заветот ме у Мене и вас.
12. Секое машко дете кога ке наполни осум дена по ра ањето, низ целото ваше потомство, да биде обрезано: и роб, роден во вашиот дом, и оној што ке биде купен од странец, а не е од семето твое, со образание ке се обреже робот од твојот дом и купениот.
13. Да, и робот, роден во домот твој, и купениот мора да биде обрезан, и така Мојот завет над вашето тело ке остане вечен.
14. А необрезаното машко, на кое не ке му се обреже крајче од телото негово во осмиот ден, да се истреби од родот свој: таквиот го нарушил заветот Мој.'
15. И му рече уште Бог на Авраама: 'А Сара, жената твоја, не ја викај повеке Сара, туку името нека и биде Саʻра.
16. И Јас, ке ја благословам, и ке ти дадам син од неа; ке ја благословам, и народи ке потекнуваат од неа, и цареви на народи ке излезат од неа.'
17. Тогаш падна Авраам ничкум и се насмеа, велејки во себе: 'Како може на човек од сто години да му се роди син? Зарем Саʻра во деведесетте години ке роди?'
18. И Авраам Му рече на Бога: 'О, барем Исмаил да биде жив пред лицето Твое!'
19. А Бог му рече на Авраама: 'Навистина, Саʻра, жената твоја, ке ти роди син и ке го наречеш со името Исак; и ке направам заветот Мој со него да биде завет вечен, и да му бидам Бог на потомството негово по него.
20. А и за Исмаила те послушав; еве, го благословувам, и ке го направам плоден, и многу ке го умножам, многу; и ке роди дванесет кнезови, и од него ке произлезе голем народ.
21. А заветот Мој со Исака ке го направам кога ке ти го роди Саʻра, догодина во ова време.'
22. Па, откако Бог го изговори тоа, се издигна Бог од Авраама.
23. Авраам, пак, го зеде Исмаила, синот свој, и сите родени во домот негов, и сите купени, и сите машки домашни, им обреза крајче од телото нивно во истиот ден, како што му рече Бог.
24. Авраам имаше деведесет и девет години кога му беше обрезано крајче од телото негово.
25. А Исмаил, синот негов, имаше тринаесет години кога му беше обрезано крајче од телото негово.
26. Во истиот ден беа обрезани Авраам и син му Исмаил,
27. и со него заедно беа обрезани и сите домашни машки, и робовите, родени во неговиот дом, а и купените од странци.

Глава 18

1. Потоа му се јави Господ кај дабот Мамре кога седеше пред вратата од шаторот свој, на пладнина.
2. Откако ги крена очите свои, виде Тројца мажи како стојат спроти него. Откако ги виде, им притрча во пресрет пред вратата на шаторот свој, и им се поклони доземи.
3. И рече: 'Господи, ако сум нашол милост пред Тебе, немој да го одминеш слугата Свој!
4. Ќе Ви донесам малку вода: измијте ги нозете, па одморете се малку под ова дрво!
5. И ке Ви изнесам малку леб за да се поткрепите штом веке навративте кај слугата Ваш, па тогаш продолжете го својот пат.' Тие рекоа: 'Направи, како што рече!'
6. И Авраам отрча во шаторот кај Саʻра, и и рече: 'Замеси брзо три мерки чисто брашно и испечи погачи!'
7. Па отрча кај говедата и фати теле младо и угоено, и му го даде на момокот, и тој побрза да го зготви.
8. Па потоа изнесе масло и млеко и телето, што беше зготвено, и им принесе; и тие јадоа, а тој самиот стоеше пред нив под дрвото.
9. Тогаш тие го прашаа: 'Каде е Саʻра, жената твоја?' А тој одговори: 'Ене ја во шаторон.'
10. Еден, пак, од нив му рече: 'Догодина во ова време, враќајки се, Јас, пак ке дојдам кај тебе, и Саʻра, жената твоја ке има син.' А Саʻра слушаше на вратата од шаторот, зад него.
11. Авраам и Саʻра беа стари и возрасни, и кај Саʻра беше престанало редовното кај жените.
12. Затоа Саʻра се насмеа во себе, велејки: 'Бидејки сум остарела, сега ли ке ни дојде радоста? А и господарот ми е стар.'
13. Тогаш му рече Господ на Авраама: 'Зошто се насмеа Саʻра во себе, велејки - Вистина ли е дека ке родам кога сум остарена? -
14. Има ли нешто неможно за Господа? Догодина во ова време Јас пак ке дојдам при тебе, и Саʻра ке има син.'
15. Но Саʻра не призна и рече: 'Не се насмеав,' бидејки се беше уплашила. А Он рече: 'Не, ами ти се насмеа.'
16. Потоа лу ето станаа и тргнаа кон Содом и Гомор, а и Авраам појде со нив да ги испрати.
17. А Господ рече: 'Како да кријам од Авраама, слугата Свој, што сакам да направам?
18. Та од Авраама ке излезе голем и силен народ, и преку него ке бидат благословени сите народи на земјата.
19. Оти него го избрав за да им заповеда на синовите свои, и на домот свој по себе, да одат по патот Господен и да извршуваат правда и суд, за да може Господ да го исполни она, што му го вети на Авраама.'
20. И рече Господ: 'Голем повик е против Содом и Гомор, и гревовите нивни се претешки.
21. Затоа ке слезам за да узнаам и да видам дали така се прави, како што повикот доа а до Мене, или не.'
22. Оттаму лу ето тргнаа кон Содом, додека Авраам уште стоеше пред лицето на Господа.
23. Тогаш Авраам се приближи и рече: 'Сакаш ли да го уништиш и праведниот со неправедниот и ке биде ли праведниот како неправедниот?
24. Можеби во градот има педесетмина праведници; зарем ке ги погубиш и нив, а да не му простиш на тоа место заради оние педесет праведници, што се во него?
25. Не е можно така да постапиш Ти, да погубиш праведни со неправедни заедно, та исто да се случи со праведникот како и со неправедникот; не, тоа од Тебе не; зарем Судијата на целата замја нема да суди право?'
26. И рече Господ: 'Ако во градот Содом најдам педесетмина праведници, ке го запазам градот и целото место заради нив.'
27. А Авраам одговори и рече: 'Еве, се осмелив да Му проговорам на Господа, иако сум земја и пепел.
28. Можеби да има праведници од педесет пет помалку; зар заради тие пет ке го затреш

целиот град?' Он одговори: 'Нема тоа да го направам, ако најдам четириесет и пет.'
29. И го продолжи разговорот со Него и рече: 'Можеби ке се најдат таму четириесет?' Он, пак, одговори: 'Нема да го направам ни поради тие четириесет.'
30. Потоа рече: 'Нека не се налути Господ, ако речам - можеби ке се најдат триесет?' - Он рече: 'Нема да го направам, ако најдам триесет.'
31. И пак рече: 'Еве, се осмелувам одново да Му проговарам на Господа - можеби ке се најдат дваесет?' 'Нема да го уништам - рече - ни заради тие дваесет.'
32. Најпосле рече: 'Нека не се налути, Господ, ако уште еднаш проговорам - можеби ке се најдат десет?' - Он рече: 'Нема да ги искоренам ни заради оние десет.'
33. И Господ замина, откако престана да зборува со Авраама; а Авраам се врати во своето место.

Глава 19

1. Оние два ангела стигнаа вечерта во Содом кога Лот седеше пред портата содомска. А кога ги виде Лот, стана да ги пресретне, и се поклони доземи.
2. И рече: 'Господари мои, влезете во куката на слугата Ваш, да пренокевате, и измијте си ги нозете Свои; па утре рано, кога ке станете, одете си по Својот пат.' А тие рекоа: 'Не, тука ке нокеваме на улица.'
3. Но тој настојуваше, и тие појдоа по него и влегоа во домот негов. И тој ги нагости, им испече лебови пресни, и јадеа.
4. И уште не беа легнеле, а гра аните содомски се насобраа околу куката, стари и млади, целиот народ од сите краишта на градот.
5. И го повикаа Лота и му рекоа: 'Каде се лу ето, кои дојдоа да нокеваат кај тебе? Изведи ги да бидеме со нив!'
6. Лот излезе пред нив до влезот, ја затвори вратата зад себе,
7. и им рече: 'Брака мои, немојте да правите зло!
8. Еве имам две керки, кои уште не биле со маж; ке ги изведам кај вас, па правете со нив што ви е угодно; само на оние лу е не правете им ништо, бидејки се дојдени под покривот на мојот дом.'
9. А тие му рекоа: 'Мавни се оттука! Си дошол ваму да живееш како придојден, па, и ке ни судиш ли? Сега со тебе ке постапиме уште полошо отколку со нив.' Па навалија силно на човекот, на Лота, и се доближија да ја кршат вратата.
10. Тогаш оние мажи ги протегнаа рацете свои надвор и го вовлекоа Лота кај себе, во куката, и ја затворија вратата од куката.
11. А лу ето, кои беа пред портата кукна, наеднаш ослепеа, од мал до голем, и не можеа да ја најдат вратата.
12. Тогаш оние мажи му рекоа на Лота: 'Ако имаш зетови, синови или керки, или кој и да било свој во овој град сите нив изведи ги од ова место!
13. Зошто сакаме да го сотреме ова место, бидејки повикот против нив е голем пред Господа, па не испрати Господ нас да го уништиме.'
14. И излезе Лот, и им кажа на зетовите свои, на кои сакаше да им ги даде керките свои, и им рече: 'Станете, одете си од ова место, зашто Господ сега ке го сотре свој град!' Но на зетовите негови им се причини оти се шегува.
15. А кога зората зазори, навалија ангелите на Лота да побрза и му рекоа: 'Стани, земи ја жената своја, и двете керки твои, кои се тука, за да не загинеш поради беззаконието на овој град!'
16. Но тој се двоумеше. Затоа ангелите го фатија за рака него, жената негова, и двете керки негови, оти Му беше жал на Господа, и ги изведоа, па ги оставија надвор од градот.
17. А кога ги изведоа надвор од градот, еден од нив рече: 'Спасувај се и спаси ја душата своја; и не обѕрнувај се назад, не запирај никаде во оваа околина! Бегај на оној рид, за да не загинеш.'
18. А Лот рече: 'Ти се молам, Господи!
19. Еве, слугата Твој најде милост пред Тебе, и милоста Твоја е голема, што ја направи спрема мене, оти ми го спаси животот; но јас не можам да се спасам на ридот, бидејки ке ме стигне злото и ке загинам.
20. Ене, во оној град; доста е близу, да побегнам таму, а местото е мало; таму ке се спасам, зашто е мал; па ке останам жив, благодарејки на Тебе.'
21. А Он му рече: 'Еве, ке те послушам и затоа нема да го уништам градот, за кој рече.
22. Бегај побрзо таму; оти не можам да направам ништо, додека не стигнеш онаму.' Заради ова оној град се нарече Сигор.
23. И кога сонцето огреа по земјата, Лот пристигна во Сигор.
24. Тогаш излеа Господ на Содом и на Гомор од небото дожд од сулфур и оган од Господа од

небото.
25. И ги сосипа оние градови и целата околија, и сите жители во тие градови, и сите растенија земни.
26. Но жената Лотова, одејки по него, погледна назад и се претвори во солен столб.
27. А уредента рано, откако стана, Авраам отиде на местото каде што беше стоел пред Господа;
28. и погледна на Содом и на Гомор и на целата околија и виде: и, ете, се креваше пламен од земјата како чад од печка.
29. Но додека Бог ги унуштуваше градовите во онаа околија, се сети Бог на Авраама, па го изведе Лота од пропаста кога ги сосипуваше Господ градовите, каде што живееше Лот.
30. А Лот излезе од Сигор, и се настани на оној рид со двете керки свои; се плашеше да живее во Сигор. Па се насели во пештера со двете керки свои.
31. А постарата и рече на помладата: 'Нашиот татко е стар, а нема човек во земјава да влезе при нас, како што е обичај по целата земја.
32. Ајде да му дадеме на таткото наш вино, за да се опие; па да легнеме со него, за да го зачуваме потомството на нашиот татко!'
33. И му дадоа вино на татка си во онаа нок; и влезе постарата и легна со таткото свој; а тој не сети ни кога легнала таа, ни кога станала.
34. А утредента и рече постарата на помладата: 'Ете, нокеска бев со својот татко. Да го опиеме со ниво и вечерва: па влези и ти легни со него, за да му го запазиме потомството на таткото наш!'
35. И таа нок му дадоа на татка си вино; и влезе помладата и спа со него; а тој не узна ни кога таа легнала ни кога станала.
36. И обете керки Лотови зачнаа од таткото нивни.
37. И постарата роди син, и го нарече Моав, велејки од татка ми е. Тој е прататкo на Моавците до денес.
38. А и помладата роди син, и го нарече Амон, велејки: 'Син од мојот род.' Од него се Амонците до денешниов ден.

Глава 20

1. Авраам оттаму тргна на југ, и се настани ме у Кадес и Сур; и живееше некое време во Герар како придојден.
2. Тогаш велеше Авраам за жената своја Саʻра, дека му е сестра, оти се плашеше да рече дека му е жена, за да не го убијат жителите градски заради неа. А царот герарски Авимелех испрати, и ја зеде Саʻра.
3. Но Бог дојде при Авимелех ноке во сон, и му рече: 'Ете, ке умреш заради жената, која си ја зел, зашто таа има маж.'
4. А Авимелех не беше се допрел до неа, па рече: 'Господи, зар ке погубиш народ праведен?
5. Нели самиот ми рече - ʻСестра ми е - а и таа самата рече ʻБрат ми е - а јас тоа го направив простосрдечно и со чисти раце.'
6. Тогаш му рече Бог во сонот: 'Затоа те задржав да не грешиш пред Мене и не ти допуштив да се допреш до неа.
7. А сега врати му ја на човекот жената негова, зашто е пророк, и ке се помоли за тебе, и ке останеш жив. Ако не ја вратиш, знај дека ке умреш и ти и сите твои.
8. Утредента рано стана Авимелех, и ги повика сите слуги свои, и им го кажа сето тоа да го чујат. И тие многу се уплашија.
9. Тогаш Авимелех го повика Авраама и му рече: 'Што направи ти со нас? Што ти згрешив, па сакаше да навлечеш на мене и на царството мое голем грев? Ми го направи она, што никој не го прави.'
10. И уште му рече Авимелех на Авраама: 'Што имаше на ум, кога го направи тоа?'
11. А Авраам одговори: 'Си помислив дека во ова место нема страв Божји, па ке ме убијат поради жената моја.
12. А всушност и ми е сестра: по татко, но не и по мајка: и се омажи за мене.
13. А кога ме изведе Господ од домот на мојот татко, јас и реков: направи ми добро и кажи за мене, и во секое место каде што ке дојдеме: ʻБрат ми е'
14. Тогаш Авимелех зеде овци, и говеда, и слуги, и слугинки, и му ги даде на Авраама, и му ја врати Саʻра, жената негова.
15. И му рече Авимелех на Авраама: 'Еве, земјата моја е пред тебе; и каде што ти е угодно, насели се!'
16. А на Саʻра и рече: 'Еве, му дадов на твојот брат иљада сикли сребро: тоа нека ти биде во чест на твоето лице, превез пред очите на сите, кои се со тебе, и пред сите си оправдана.'
17. Авраам, пак, Му се помоли на Бога, и Бог ги исцели Авимелеха, и жената негова, и слугинките негови, и тие почнаа да ра аат;
18. зашто Господ ги беше затворил сите утроби во домот на Авимелеха поради Саʻра, жената Авраамова.

Глава 21

1. И Господ милостивно погледна на Саʻра, како што беше рекол, и и направи Господ на Саʻра како што и беше рекол.
2. Саʻра зачна и му роди на Авраама син во староста негова, во време кога што му беше рекол Господ.
3. И Авраам го нарече со името Исак, синот што му се роди, кој му го роди Саʻра.
4. И го обреза Авраам синот свој Исака во осмиот ден, како што му беше заповедал Господ.
5. Авраам имаше сто години кога му се роди синот Исак.
6. Саʻра, пак, рече: 'Господ ми нанесе смеа; кој ке чуе за мене, ке ми се смее.'
7. И рече: 'Кој би рекол дека Саʻра на Авраама ке му дои деца? Но сепак му родив син во староста негова.'
8. Детето порасна и беше одбиено. А Авраам приреди голема гозба во оној ден кога го одбија Исака, синот негов.
9. Виде Саʻра дека синот на Агара Египтјанката, што му го роди таа на Авраама, се потсмева со нејзиниот син Исак.
10. па му рече на Авраама: 'Истерај ја оваа робинка со синот нејзин, зашто синот на оваа робинка не бива да стане наследник со мојот син Исака!'
11. А тоа на Авраама му беше многу тешко, поради синот негов Исмаила.
12. Но Бог му рече на Авраама: 'Нека не ти е криво заради детето и робинката! Се што ке ти рече Саʻра, послушај го гласот нејзин, зашто по Исака ке се нарече потомството твое.
13. А и од синот на робинката ке издигнам голем народ, зашто тој е семе твое.'
14. И Авраам стана утредента рано, зеде леб и мев со вода, и и даде на Агара, ставајки и го тоа на грб, и детето, па ја отпушти. И таа тргна и се заскита по пустињата Вирсавија.
15. А кога снема вода во мевот, таа го остави детето под еден даб,
16. а самата отиде далеку, колку што со стрела може да се дофрли, и седна спроти него; зашто велеше: 'Не можам да ја гледам смртта на моето дете.' И седејки спроти него од далеку, кога го чу гласот на детето, почна гласно да плаче.
17. Но Бог го чу гласот на детето од местото каде што беше, и ангел Божји и викна на Агара од небото и и рече: 'Што ти е, Агаро? Не плаши се, бидејки Господ го чу гласот на детето оттаму, каде што е.
18. Стани, крени го детето и фати го за рака; оти од него ке направам голем народ.'
19. И Бог и ги отвори очите, и таа виде извор на жива вода; и отиде, па го наполни мевот со вода, и го напои детето.
20. А Бог беше со детето, и тоа порасна, и заживеа во пустињата, и стана стрелец со лак.
21. Тоа живееше во пустињата Фаран. И мајка му негова му зеде жена од земјата Египетска.
22. Во тоа време Авимелех, со Фихол, војводата негов, му рече на Авраама: 'Бог е со тебе во се што правиш.
23. А сега заколни ми се овде во Бога дека нема да ми напакостиш ни мене, ни на потомството мое, ниту на името мое; туку дека ке постапуваш добро со мене и со земјата, во која си гостин, како што потапував јас со тебе.'
24. И рече Авраам: 'Се заколнувам.'
25. Тогаш Авраам го прекори Авимелеха за изворите водни што ги зедоа слугите Авимелехови.
26. А Авимелех му рече: 'Не знам кој го направи тоа; ниту ти ми кажа, ниту, пак, чув за тоа до денес.'
27. А Авраам зеде овци и говеда, и му ги даде на Авимелеха, и тие двајца склопија сојуз.
28. Потоа Авраам одвои седум јагниња од стадото.
29. А Авимелех му рече на Авраама: 'Зошто се овие седум јагниња што ги одвои?'
30. Авраам, пак, одговори: 'Прими ги од моја рака овие седум јагниња, за да ми бидат сведоштво дека јас сум го ископал оној кладенец.'
31. Затоа она место се нарече Вирсавија, бидејки тука се заколнаа обајцата.

32. Откако склопија сојуз во Вирсавија, Авимелех со пријателот Охозат и Фихол, војводата негов, се кренаа и се вратија во земјата Филистејска.
33. И Авраам насади шумичка во Вирсавија, и таму го призва името на Господа, Вечниот Бог.
34. Авраам живееше во земјата Филистејска како придојден многу денови.

Глава 22

1. По тие настани Бог, искушувајќи го Авраама, рече: 'Аврааме!' А тој одговори: 'Еве ме!'
2. Бог продолжи: 'Земи го сега саканиот син твој Исака, па оди во земјата Морија, и принеси го таму како жртва сепаленица на една горичка што ке ти ја покажам!'
3. И утредента рано, откако стана, Авраам го оседла ослето свое, зеде со себе двајца од слугите свои и Исака, синот свој; па, откако исцепи дрва за жртвата, се крена, појде и дојде на местото, за кое му рече Бог.
4. На третиот ден, кревајќи ги очите свои, Авраам го здогледа местото оддалеку.
5. И им рече Авраам на слугите свои: 'Останете вие овде со ослето, а јас и детето ке одиме онаму, па откога ке се помолиме, ке се вратиме кај вас.'
6. И зеде Авраам дрва за жртвата, му ги натовари на Исака, синот свој, а самиот тој зеде во свои раце огнило и нож; па отидоа обајцата заедно.
7. Тогаш му рече Исак на Авраама, таткото свој: 'Татко!' А тој одговори: 'Што е, синко!' И рече Исак: 'Ете огнило и дрва, а каде е јагнето за жртва?'
8. А Авраам одовори: 'Бог ке си предвиди, синко, јагне за жртва.' И обајцата го продолжија патот заедно.
9. И стигнаа до местото, за кое му беше рекол Бог. Тука Авраам направи жртвеник, и кладе дрва на него, а откако го врза Исака, синот свој, го стави на жртвеникот врз дрвата.
10. Тогаш Авраам ја пружи раката своја и го зеде ножот да го заколе синот свој.
11. Но ангел Господен викна од небото, и рече: 'Аврааме! Аврааме!' А тој одговори: 'Еве ме!'
12. И ангелот продолжи: 'Не кревај рака своја на детето, и не прави му ништо! Еве, сега знам, оти се плашиш од Бога штом не го пожали ни саканиот свој син заради Мене.'
13. И Авраам ги крена очите свои и погледа: а тоа - зад него овен, кој се беше сплеткал со роговите во гасталакот. И Авраам отиде, го зеде овенот и го принесе како жртва сепаленица место синот свој.
14. И го нарече Авраам ова место: 'Господ ке предвиди.' Затоа и денес се вели: 'На горичката Господ се јави.'
15. А ангелот Господен повторно го викна од небото Авраама,
16. и рече: 'Се колнам во Себе - вели Господ - кога така направи, и не го пожали саканиот свој син заради Мене.
17. Навистина, Јас ке те благословам и преблагословам, и потомството твое ке го умножам и преумножам како ѕвездите на небото и како песокта на морскиот брег! А потомците твои ке ги завладеат градовите на непријателите свои.
18. И ке бидат благословени преку потомството твое сите народи на земјата, зашто го послуша гласот Мој.'
19. Тогаш Авраам се врати при слугите свои, и се кренаа, па се вратија заедно во Вирсавија. И се насели Авраам во Вирсавија.
20. По тие настани му јавија на Авраама: 'Ете, и Мелха му роди синови на братот твој Нахор!'
21. Уз, неговиот првенец, брат му Вуз, и Камуила, таткото на Арамејците,
22. Хазада, Азава, Фалдеса, Елдафа и Ватуила.
23. А Ватуило ја роди Ревека. Овие осумте му ги роди Мелха на Нахора, братот на Авраама.
24. А неговата наложница, по име Ревма, ги роди овие: Тавека, Гама, Тохоса и Моха.

Глава 23

1. Са‘ра поживе сто и дваесет и седум години; тоа се годините на Са‘риниот живот.
2. И умре Са‘ра во градот Киријат - Арби, а тоа е Хеврон, во земјата Хананска. И дојде Авраам да ја изжали и да ја исплаче.
3. А кога стана Авраам пред покојницата своја, им рече на синовите Хетеови, велејки:
4. 'Странец сум и придојден при вас; дајте ми да имам гроб кај вас, сам да ја погребам покојницата своја.'
5. А синовите Хетеови му одговорија на Авраама, велејки:
6. 'Чуј не, господару наш; ти си кнез Божји ме у нас; во најдобриот гроб наш погреби ја покојницата своја; никој ме у нас нема да ти го одбие гробот свој за да можеш да ја погребеш покојницата своја таму!'
7. Тогаш стана Авраам и му се поклони на народот од земјата на синовите Хетеови,
8. и им рече Авраам, велејки: 'Ако сакате да ја погребам покојницата своја пред очите мои, послушајте ме - речете му за мене на Ефрона, синот Саров.
9. Нека ми ја даде пештерата во Макпела, која е на крајот од нивата негова; за пари нека ми ја даде, колу што чини, за да имам гробноца ме у вас!'
10. А Ефрон седеше ме у синовите Хетеови. И му одговори Ефрон Хетеецот на Авраама, пред синовите Хетеови, и тоа гласно, да чујат сите, кои беа во советот од тој град, велејки:
11. 'Не, господару; послушај ме - нивата, и пештерата во неа, ти ја давам; пред синовите на народот мој ти ја подарувам, погреби ја покојницата твоја.'
12. А Авраам му се поклони на народот од таа земја,
13. и му рече на Ефрона гласно, пред сиот народ, велејки: 'Ако сакаш, почуј ме: ке ти дадам колку што чини нивата, земи од мене, па тогаш ке ја погребам покојницата своја таму.'
14. А Ефрон му одговори на Авраама и рече:
15. 'Господару мој, чуј ме; земјата чини четиристотини сикли сребро; што е тоа за мене и за тебе? Затоа погреби ја покојницата твоја!'
16. И Авраам, откако го ислуша Ефрона, му го измери среброто, што го кажа тој пред синовите Хетеови, четиристотини сикли сребро, како што врвеше тогаш ме у трговците.
17. И нивата Ефронова во Макпела спроти Мамре, нивата и во пределите наоколу,
18. станаа сопственост на Авраама пред синовите Хетеови, пред сите кои влегуваа во тој град.
19. Потоа ја погреба Авраам Са‘ра, жената своја, во пештерата на нивата Макпела спроти Мамре, а тоа е Хеврон, во земјата Хананска.
20. Така Авраам ја придоби од синовите Хетеови нивата и пештерата во неа, за да има сопствена гробница.

Глава 24

1. А Авраам беше веке стар и во години, Господ го беше благословил во се.
2. И му рече Авраам на слугата свој, на најстариот во домот негов, кој стоеше над целиот негов имот: 'Стави ја раката своја под бедрото мое
3. и ке те заколнам во Господа Бога на небото и Бога на земјата, дека нема да земеш жена за синот мој од керките Хананејски, ме у кои живеам,
4. туку дека ке отидеш во земјата моја, каде што се родив, во родот мој, и ке му доведеш жена на синот мој Исака оттаму.'
5. А слугата му рече: 'Можно е девојката да не сака да појде со мене во оваа земја; ке го одведам ли синот твој во земјата, од која си се иселил?'
6. А Авраам му рече: 'Гледај да не го одведеш синот мој таму.
7. Господ, Бог на небесата и на земјата, Кој ме зеде од домот на таткото мој и од земјата, каде што сум роден, и Кој ми рече и ми се заколна, велејки: ‘Тебе и на потомството твое ке му ја дадам оваа земја‘, Он ке испрати ангел свој пред тебе, и ти ке доведеш жена за синот мој оттаму.
8. Ако, пак, девојката не сака да појде со тебе во оваа земја, тогаш нека ти е проста клетвата моја; само синот мој не пракај го таму!'
9. И ја стави слугата раката своја под бедрото на Авраама, господарот негов, и му се заколна во тоа.
10. Потоа слугата зеде десет камили од камилите на господарот свој, зеде и од драгоценостите на господарот свој со себе, па кога стана, се упати во Месопотамија, во градот Нахоров.
11. И ги остави камилите надвор од градот, покрај изворот, приквечерина кога жените излегуваат да полнат вода.
12. И рече: 'Господи, Боже на господарот мој Авраама, испрати ми ја денес во пресрет онаа, која ја барам, и направи му милост на господарот мој Авраама.
13. Еве, јас ке стојам крај овој извор, и керките на градските жители ке дојдат да налеат вода.
14. И на која девојка ке и речам - ‘Наведни ја стомната своја да пијам‘ - а таа ке рече - ‘На, пиј, и камилите твои ке ги напојам - додека се напивам,‘ неа си ја определил за слугата твој Исака; и по тоа ке разберам дека си му направил милост на господарот мој Авраама.'
15. И додека тој уште зборуваше во себе, а ете Ревека, керката на Ватуила, синот на Мелха, жената на Нахора, чиј брат е Авраам, дојде со стомната на рамо.
16. А беше многу убава девојка, која човек уште не беше познала. Таа слезе при изворот, ја наполни стомната, па појде угоре.
17. Тогаш слугата излезе пред неа и рече: 'Дај ми да се напијам малку вода од стомната твоја!'
18. А таа одговори: 'Еве, пиј, господару.' И брзо ја спушти стомната на раката своја, и му даде да пие, чекајки додека не се напие.
19. Па рече: 'И на камилите твои ке им налеам додека сите не се напијат.'
20. Па брзо ја истури стомната своја во поилото, и пак отрча до изворот да ја наполни, и им налеа на сите камили негови.
21. А човекот ја гледаше со восхит и молкум, но сакаше да узнае дали го благословил Господ патот негов или не.
22. А откако камилите се напоија, човекот изведи златни наушници, тешки поливина сикла, и две гривни за нејзините раце, од десет сикли злато.
23. Ја запраша и рече: 'Чија керка си? Кажи ми, има ли во куката на таткото твој место за пренокевање?'
24. А таа му одговори: 'Јас сум керка на Ватуила, синот на Мелха, која му го роди на Нахора.'
25. И уште рече: 'Има при нас многу слама и храна; а и место за нокевање.'
26. Тогаш човекот се наведна и Му се поклони на Господа,
27. па рече: 'Нека е благословен Господ Бог на господарот мој Авраама, Кој не го остави

господарот мој без Своја милост и Својата правда спрема господарот мој. Господ ме доведе по прав пат во домот на братот од господарот мој.'
28. Девојката, пак, отрча и сето ова го кажа во домот на мајката своја.
29. А Ревека имаше брат, по име Лаван. Лаван побрза кон човекот крај изворот.
30. Откако ги беше видел наушниците и гривните на рацете од сестрата своја и чул кога сестра му Ревека рече - вака ми рече човекот - тогаш појде кај човекот; а тој стоеше со камилите при изворот.
31. И рече: 'Ела ти, кој си благословен од Господа; зошто да стоиш надвор? Јас ја приготвив куката; а има место и за камилите.'
32. Тогаш човекот влезе во куката; му ги растоварија камилите, и им дадоа слама и сено - храна на камилите, а му донесоа и вода за нозете негови и за лу ето, кои беа со него.
33. И им поставија леб да јадат. Но тој рече: 'Нема да јадам додека не кажам за што сум дојден.' И му рекоа: 'Зборувај!'
34. Тогаш рече: 'Јас сум слуга Авраамов.
35. Господ го благослови господарот мој многу, та стана голем; и му даде овци и говеда, сребро и злато, и слуги и слугинки, и камили и осли.
36. А Са‘ра, жената на господарот мој, под старост му роди син на господарот мој, и тој му го даде целиот свој имот.
37. Мене, пак, ме заколна господарот мој, велејки - ‘Немој да му доведеш на синот мој жена од керките Хананејски, ме у кои живеам;
38. туку појди во домот на таткото мој и во родот мој, и земи жена за синот мој.‘'
39. А јас му реков на господарот мој: 'Можеби девојката не ке сака да појде со мене!?'
40. А тој ми рече - 'Господ, пред чие лице одев, ке испрати ангел Свој со тебе, и ке ти го покаже патот твој до целта и ти ке земеш жена за синот мој од родот мој, од домот на таткото мој.
41. Тогаш ке ти биде проста клетвата моја, кога ке отидеш во родот мој; а ако не ти ја дадат, ке бидеш ослободен од клетвата моја.'
42. И кога дојдов денес при изворот, реков: 'Господи, Боже на господарот мој Авраама, ако си ме упатил на прав пат, по кој одам,
43. еве, јас ке застанам крај изворот, и на девојката, која ке дојде да налее вода, ке и речам - ‘Дај ми да се напијам малку вода од стомната твоја,‘ -
44. а таа ми одговори - ‘Еве ти пиј; и на камилите твои ке им налеам - таа нека биде жена, која што Господ ја определил за слугата Свој Исака; и по ова ке разберам дека си му направил милост на мојот господар Авраама.'
45. Јас уште не го изреков тоа во срцето свое, а Ревека дојде со стомната на рамо, и слегувајки на изворот, налеа: а јас и реков - Дај ми да се напијам.‘
46. И таа брзо ја спушти стомната на раката свој и рече - ‘Еве, пиј ти; и камилите твои ке ги напојам.‘ - Се напив, и камилите мои ги напои.'
47. Тогаш ја прашав и реков: - ‘Чија керка си?‘ А таа одговори: - ‘Јас сум керка на Ватуила, синот на Нахора, кого му го роди Мелха. Тогаш и ги ставив наушниците и гривните на рацете нејзини.
48. Па се наведнав и Му се поклонив на Господа; и Го благословив Господа Бога на господарот мој Авраама, Кој ме поведе по правиот пат да ја земам керката од братот на господарот за неговиот син.
49. А сега кажете ми: 'Ќе му направите ли милост и правда на господарот мој, или не? Ако, пак, не сакате, кажете ми, и јас ке тргнам надесно или налево.'
50. А Лаван и Ватуило одговорија: 'Од Господа дојде ова; ние не можеме да ти кажеме ни лошо, ни добро.
51. Ете, Ревека е пред тебе, земи ја, па оди, и нека му биде жена на синот од твојот господар, како што рекол Господ.'
52. А кога ги чу слугата Авраамов зборовите нивни, Му се поклини на Господа доземи.

53. Потоа слугата извади работи златни и сребрени, и облека, и и ги даде на Ревека; а и на братот нејзин и на мајката нејзина им даде подароци.
54. Па јадеа и пиеја тој и лу ето, кои беа со него, и нокеваа. А утредента кога станаа, тој рече: 'Пуштете ме да се вратам при господарот мој!'
55. А братот нејзин и мајка и рекоа: 'Нека остане девојката кај нас макар уште десетина дена, па тогаш одете.'
56. Но тој им рече: 'Не задржувајте ме кога Господ го благослови мојот пат; пуштете ме да си одам кај господарот мој!'
57. А тие рекоа: 'Да ја викнеме девојката, и да ја прашаме, што ке рече таа.'
58. И ја повикаа Ревека, па и рекоа: 'Сакаш ли да одиш со овој човек?' А таа одговори: 'Сакам.'
59. И ја пуштија Ревека, сестрата своја, и слугинките нејзини, со слугата Авраамов и лу ето негови.
60. Ја благословија Ревека и и рекоа: 'Сестро наша, да се умножиш на иљади и иљади, и потомството твое да завладее во градовите над непријателите твои!'
61. И стана Ревека со слугинките свои, и се качија на камилите, и тргнаа со човекот. Така слугата ја зеде Ревека и си отиде.
62. А Исак беше дошол во Беер Лахај Рој, зашто живееше во јужниот крај.
63. Приквечер излезе Исак во полето да се прошета, па ги крена очите: а тоа - ете, камилите идат.
64. Ревека, откако ги подигна очите свои и го виде Исака, слезе од камилата
65. и го праша слугата: 'Кој е оној човек, што преку полето ни доа а во пресрет?' А слугата одговори: 'Тоа е господарот мој.' - Тогаш таа зеде превез, па се покри.
66. И му раскажа слугата на Исака се што беше направил.
67. Тогаш Исак ја одведе Ревека во шаторот на Са‘ра, мајката своја, и таа му стана жена, и му омиле. И Исак се утеши за Са‘ра, мајката своја.

Глава 25

1. А Авраам зеде втора жена, по име Хетура.
2. И таа му ги роди Зимрана, Јоксана, Медана, Мадијама, Јесвока и Соијена.
3. Јоксан ги роди Темана и Дедана. А Деданови синови беа Рагуил, Навдеил и Асурим, Летусим и Лаудим.
4. А синови Мадијамови: Ефа, Ефер, Ханох, Авид и Елдаг. Сите тие беа синови Хетурини.
5. А Авраам целиот свој имот му го даде на Исака.
6. На синовите, пак, од своите наложници им даде Авраам само подароци, и, уште додека беше жив, ги испрати на исток, во источниот крај - далеку од синот негов Исака.
7. А деновите на Авраамовиот живот, што го поживе, беа сто и седумдесет и пет години.
8. И откако ослабе, умре Авраам во добра старост, сит од животот, и се прибра во родот свој.
9. А го погребаа неговите синови, Исак и Исмаил, во пештерата Макпела, во нивата на Ефрона, синот на Хетеецот Сахар, а која се нао аше спроти Мамре;
10. во пештерата на нивата, што ја беше купил Авраам од синовите Хетеови, таму беше погребан Авраам со Саʻра, жената своја.
11. А по смртта Авраамова го благослови Бог Исака, синот негов. Исак живееше, пак, во Беер Лахај Рој.
12. Еве го родословот на Исмаила, синот Авраамов, кого му го роди на Авраама Агара Египтјанката, слугинката на Саʻра.
13. А ова се имињата на синовите Исмаилови, како што ги именуваа во родовите нивни: првенецот Исмаилов е Навајот, па Кидар, Навдеил и Масам,
14. потоа Масма, Дума и Маса,
15. Хадар, Теман, Јетур, Нафес и Кедма.
16. Тоа се синовите Исмаилови, и тоа се имињата според селиштата, шаторите и населбите нивни. Тоа се дванаесетте кнезови над племињата нивни.
17. А деновите на животот Исмаилов се сто триесет и седум години. Потоа ослабе и умре, и се прибра при својот род.
18. Неговите синови живееја од Евилат дури до Сур, источно од Египет, од каде што се оди во Асирија. Тие се населија спроти сите брака свои.
19. А ова е родословот на Исака, синот Авраамов: Авраам го роди Исака;
20. А Исак имаше четириесет години кога се ожени со Ревека, керката на Арамеецот Ватуило од Месопотамија сириска, сестра на Арамеецот Лаван.
21. И Исак Му се помоли на Господа за жената своја, бидејки таа беше неплодна; и Бог го чу, па Ревека, жената негова, зачна.
22. Но децата се удираа едно со друго во утробата нејзина, и таа рече: 'Ако биде така, зошто ми е ова?' И отиде да Го праша Господа.
23. А Господ и рече: 'Две племиња има во утробата твоја, и два народа ке излезат од тебе; едниот народ ке биде посилен од другиот и поголемиот ке му служи на помалиот.'
24. И дојде времето да роди, а ете - близнаци во утробата нејзина.
25. Излезе синот првенец црвен, целиот рунтав како руно; и му дадоа име Исав.
26. А потоа излезе брат му, држејки го Исава со рака за петата; нему му ставија име Јаков. А Исак имеше шеесет години, кога ги роди овие Ревека.
27. И децата пораснаа: Исав стана вешт ловец и љубител на полето, а Јаков беше човек кроток и престојуваше во шаторите.
28. Исак го сакаше Исава, зашто многу му се сви аше ловот негов; а Ревека повеке го сакаше Јакова.
29. Еднаш Јаков зготви јадење, и Исав дојде од полето уморен.
30. И му рече Исав на Јакова: 'Дај ми да јадам од тоа црвеникаво, зошто сум уморен.' Оттаму се нарече Едом.
31. Но Јаков му рече на Исава: 'Продај ми го денес првородството твое!'

32. А Исав одговори: 'Еве, сакам да умрам, па што ке ми е првородството?'
33. Но Јаков му рече: 'Заколни ми се уште сега!' И тој му се заколна. Така Исав му го продаде своето првородство на Јакова.
34. И Јаков му даде на Исава леб и варена лека, и тој јаде и пи, па стана и си отиде. Така Исав го презре првородството свое.

Глава 26

1. Но настана глад на земјата покрај оној што беше во Авраамовото време; и Исак отиде при Авимелеха, царот Филистејски, во Герар.
2. И му се јави Господ и рече: 'Не оди во Египет, туку живеј во земјата, кој ке ти ја покажам.'
3. Настани се во таа замја и Јас ке бидам со тебе, и ке те благословам; зашто тебе и на потомството твое ке ви ја дадам сета таа замја, и ке ја потврдам клетвата, со која му се заколнав на Авраама, таткото твој;
4. и ке го умножам потомството твое како ѕвездите на небото, и ке му ја дадам на потомството твое сета таа замја и ке се благословат преку потомството твое сите народи земни.
5. Бидејки татко ти Авраам го послуша гласот Мој и се покоруваше на заповедите Мои, на законите Мои и на наредбите Мои.'
6. И остана Исак во Герар.
7. А лу ето во тоа место прашуваа за жената негова, а тој велеше - ‘сестра ми е‘ - оти се плашеше да каже - ‘Жена ми е‘ - за да не го убијат лу ето од тоа место заради Ревека, бидејки таа беше убава.
8. Но откако мина многу време таму, се случи Авимелех, царот герарски, да погледа низ прозорец, и да го види Исака како се шегува со Ревека, жената своја.
9. И го викна Авимелех Исака и му рече: 'Па, таа ти била жена; а зошто рече - ‘Сестра ми е?‘' - А Исак му одговори: 'Оти помислив дека ке загинам поради неа.'
10. Авимелех тогаш му рече: 'Што ни направи? Лесно можеше да се случи некој од надвор да легне со твојата жена, и ке не воведеше во грев.'
11. И му заповеда Авимелех на сиот народ свој, велејки: 'Кој ке се допре до овој човек или до жената негова, ке загине!'
12. И Исак почна да сее во таа земја, и таа година доби стопати повеке јачмен. Господ го благослови.
13. И човекот се издигна и стануваше се поголем додека не стана многу богат.
14. И се здоби со многу овци и говеда и ниви, така што Филистејците почнаа да му завидуваат.
15. Па сите извори, што ги беа ископале татковите му слуги при животот на неговиот татко Авраама, Филистејците ги затрупаа со земја.
16. И Авимелех му рече на Исака: 'Оди си од кај нас, зашто стана многу посилен од нас!'
17. Тогаш Исак си отиде оттаму, и ги распна шаторите свои во долината Герарска, и се насели таму.
18. И почна Исак да ги откопува изворите, што беа ископани од слугите на Авраама, таткото негов, а кои ги беа затрупале Филистејците по смртта на Авраама, таткото негов; и ги нарече со истите имиња, што им ги беше дал неговиот татко.
19. И копајки, слугите Исакови во долината Герарска, најдоа извор со жива вода.
20. Па се скараа пастирите Герарски со пастирите Исакови, велејки: 'Водата е наша.' И му кладе име на тој извор Есек, зашто се скараа околу него.
21. Откако замина оттаму, Исак ископа друг извор, и околу него се скараа. Затоа него го нарече Ситна.
22. Тогаш се крена оттаму, и ископа нов извор, а околу него немаше караница; затоа го нарече Реховот, велејки: 'Оти Годпод ни даде простор за да се размножиме во оваа земја.'
23. А оттаму мина тој во Вирсавија.
24. И истата нок му се јави Бог, и му рече: 'Јас сум Бог на Авраама, таткото твој. Не плаши се, зашто Јас сум со тебе, ке те благословам и ке го умножам потомството твое заради Авраама, таткото твој.'
25. И направи тој таму жртвеник, и Го призва името Господово. И таму го распна шаторот свој, а слугите Исакови ископаа извор таму, во долината Герарска.
26. Тогаш дојде при него Авимелех од Герар со Охозат, пријателот свој, и со Фихол, војводата свој.

27. А Исак им рече: 'Зошто дојдовте при мене кога ме мразите и ме истеравте од кај вас?'
28. А тие одговорија: 'Видовме дека Господ Бог е навистина со тебе, па рековме - да положиме
ме у тебе и нас клетва и да склучиме со тебе сојуз:
29. да не ни правиш зло, бидејки и ние тебе не те допревме и ти правевме само добро, и те
пуштивме да си одиш со мир; и ете, сега си благословен од Господа.'
30. Тогаш тој им приреди гозба; па јадеа и пиеја.
31. А уредента, откако станаа рано, се заколнаа еден на друг, и ги отпушти Исак, и тие отидоа
од него со мир.
32. Истиот ден дојдоа слугите Исакови и му кажаа за изворот, што го ископаа, и му рекоа:
'Најдовме вода.'
33. И тој го нарече Вирсавија и поради ова и се вика оној град Вирсавија и до ден денешен.
34. А кога имаше Исав четириесет години, се ожени со Јудита, керка на Хетеецот Веох, и со
Васемата, керка на Хетеецот Елон.
35. А тие станаа тегоба за Исака и Ревека.

Глава 27

1. Кога Исак остаре и му ослабе видот на очите, та не гледаше, го повика постариот син свој Исава, и му рече: 'Сине мој!' А тој одговори: 'Еве ме.'
2. И рече Исак: 'Еве остарев и не го знам денот на смртта.
3. Земи ја сега спремата своја, лакот и стрелите, и излези в поле, и улови ми дивеч!
4. Па зготви ми јадење какво што сакам, и донеси ми да јадам, и да те благослови душата моја, пред да умрам.'
5. А Ревека чу што му рече Исак на синот свој Исава; и Исав отиде в поле да улови дивеч за својот татко.
6. Ревека, пак, му рече на Јакова, помалиот син свој, велејки: 'Ете, го чув татко ти, како разговараше со Исава, братот твој, и дека рече -
7. 'Донеси ми дивеч и зготви ми јадење, да јадам, па да те благословам пред Господа, пред да умрам.'
8. Туку сега, синко мој, послушај ме што ке ти речам:
9. 'Оди при стадото и донеси оттаму две млади и добри јаганца; и јас ке му зготвам јадење од нив, какво што сака;
10. а ти ке му однесеш на татка ти, и тој ке јаде, па ке те благослови таткото твој дури е уште жив.'
11. А Јаков и рече на Ревека, мајката своја: 'Но Исав, братот мој, е рунтав, а јас сум човек гладок.
12. Може татко ми да ме попипа, па пред очите негови ке станам измамник, и место благослов ке навлечам врз себе проклетство.'
13. А мајка му одговори: 'Проклетството твое, синко, нека падне на мене; само послушај ме, и оди, па донеси ми!'
14. Тогаш тој отиде, зеде и и донесе на мајка си своја; а мајка му негова зготви јадење, какво што јадеше татко му.
15. Па потоа ја зеде Ревека најубавата облека на постариот син Исава, што беше кај неа дома, и го облече Јакова, помладиот нејзин син,
16. а рацете негови и голиот врат му го обложи со јарешки кожички.
17. И му го даде на Јакова, синот свој, в раце јадењето и лебот, што го беше зготвила.
18. А тој влезе при татка си и му рече: 'Татко!' А тој одговори: 'Еве ме! Кој си ти, синко?'
19. Јаков, пак, му рече на татка си: 'Јас сум Исав, твојот првороден син; направив, како што ми рече; стани, седни и јади од ловот мој, па да ме благослови душата твоја.'
20. А Исак му рече на синот свој: 'Кога толку бргу најде, синко мој?' А тој одговори: 'Господ, твојот Бог, беше милостив.'
21. Тогаш му рече Исак на Јакова: 'Дојди поблизу, синко мој, да те попипам и да видам дали си ти, синот мој Исав, или не!'
22. И пристапи Јаков до Исака, таткото свој, а тој го попипа, па рече: 'Гласот е глас на Јакова, но рацете се раце Исавови.'
23. И не го позна, зашто рацете му беа како рацете на Исава, братот негов, рунтави. И го благослови,
24. и му рече: 'Ти ли си синот мој Исав?' А тој одговори: 'Јас сум.'
25. Тогаш рече: 'Дај ми сега, синко, да јадам од ловот твој, па да те благослови душата моја.' И му даде и тој јаде; па му донесе и вино, и пи.
26. Потоа Исак, таткото негов, му рече: 'Приближи се до мене и целивај ме, синко!'
27. И тој пристапи и го целива; Исак го почувствува мирисот од облеката негова, и го благослови, велејки: 'Еве, мирисот на синот мој е како мирис од полето, што го благословил Господ.
28. Бог нека ти даде роса небеска и родна земја: многу пченица и вино во изобилие!
29. Народи да ти слугуваат и кнезови да ти се клањаат! Да бидеш господар над братот свој и

да ти се клањаат синовите на таткото твој! Проклет да биде оној, што тебе те проколнува, а благословен - оној што тебе ке те благословува!'
30. Па откако Исак го благослови Јакова, и Јаков отиде од Исака, таткото свој, во тој час дојде од лов Исав, братот негов.
31. И тој му зготви јадење и му однесе на татка си, и му рече: 'Стани, татко, и јади од она што синот твој улови, за да ме благослови душата твоја!'
32. И Исак, таткото негов, му рече: 'Кој си ти?' А тој рече: 'Јас сум синот твој, првородениот Исав.'
33. Тогаш Исак премногу се возбуди и рече: 'А кој беше оној, кој уловил лов и ми донесе од се, и јас јадев, пред да дојдеш ти, и го благословив? Тој и ке остане благословен.'
34. А кога ги чу Исав зборовите на таткото негов, извика на сиот глас и многу се нажали, па рече: 'Благослови ме и мене, татко!'
35. А тој му одговори: 'Дојде братот твој со измама, и го зеде твојот благослов,'
36. Исав, пак, рече: 'Сигурно затоа му е името Јаков, еве веке двапати ме истисна. Првородството ми го зеде, а сега и благословот ми го зеде. И му рече - Исав на татка си: 'Не остави ли благослов и за мене?'
37. И Исак одговори и му рече на Исава: 'Него веке го поставив за господар над тебе; и сите бракa негови ги определив да му бидат слуги; со жито и вино го обдарив; а што да направам сега, синко, со тебе?'
38. Но Исав му рече на татка си: 'Зар само еден благослов има кај тебе, татко? Благослови ме и мене, татко!'. Бидејки Исак молчеше, Исав извика на сиот глас и заплака.
39. Тогаш Исак, таткото негов, одговарајки му рече : 'Ете, домот твој ке биде од плодна земја и од роса небеска одозгора.
40. Од мечот свој ке живееш, и на брата ти ке му служиш; но еднаш, кога ке се побуниш, ке го стресеш јаремот негов од вратот свој.'
41. Тогаш Исав го намрази Јакова поради благословот, со кој го беше благословил татко му; и си рече Исав во срцето свое: 'Се наближуваат деновите на оплакувањето за таткото мој; тогаш ке го убијам Јакова, братот мој.'
42. И и кажаа на Ревека зборовите од Исава, постариот нејзин син, а таа испрати, па го повика Јакова, помалиот син нејзин, и му рече : 'Братот твој Исав се заканува дека сака да те убие.
43. Затоа, синко, послушај ме сега : - Стани и бегај во Месопотамија кај Лавана, братот мој, во Харан,
44. и живеј при него некое време, додека му минат гневот и лутината на братот твој;
45. и додека тој не заборави што си му направил. А тогаш, јас ке пратам, да те доведат оттаму. Зошто да останам без вас днајцата во еден ден?'
46. А на Исака Ревека му рече : 'Ми омрзна животот поради керките хетејски. А ако земе Јаков жена од керките хетејски, тогаш зошто ми е животот?'

Глава 28

1. Затоа Исак го повика Јакова, го благослови, и му заповеда, велејќи : 'Немој да земеш жена од керките хананејски!
2. Стани, па оди во Месопотамија, во домот на Ватуила, таткото на мајката твоја, и оттаму земи си жена, од керките на Лавана, вујкото твој.
3. А мојот Бог, Кој е семокен, нека те благослови, и нека те издигне и нека те умножи, та од тебе да настанат многи народи;
4. да ти го даде благословот на Авраама, мојот татко, тебе и на потомството твое со тебе, за да ја наследиш земјата, во која си придојден, а која Бог му ја даде на Авраама!'
5. Така Исак го испрати Јакова, и тој отиде во Месопотамија при Лавана, синот на Ватуила Арамеецот, кај братот на Ревека, мајката на Јакова и Исава.
6. Кога Исав виде како Исак го благослови Јакова и го испрати во Масопотамија арамејска, оттаму да се ожени, и како благословувајќи го, му заповеда : 'Немој да се ожениш со некоја од керките хананејски',
7. и дека Јаков го послуша таткото свој и мајката своја, и отиде во Месопотамија;
8. увиде Исав дека керките хананејски не му се по волја на Исака, таткото негов,
9. па затоа отиде кај Исмаила, и покрај жените свои ја зеде за жена Маелета, керката на Исмаила, синот Авраамов, сестра Навајотова.
10. Јаков, пак, ја напушти Вирсавија и отиде во Харан,
11. па најде едно место, и таму пренокева, бидејќи сонцето беше зашло. И заде еден камен од тоа место, и си го кладе под главата, па заспа на тоа место.
12. И виде сон : ете, скала стои на земјата, а со врвот допира до небото, и Ангели Божји се качуваа по неа и слегуваа.
13. А ете, Господ стоеше на неа, Кој му рече : 'Јас сум Господ Бог на таткото твој Авраама и Бог Исаков, не плаши се. Оваа земја, на која спиеш, тебе ке ти ја дадам и на потомството твое;
14. а потомството твое ке биде колку песокта на земјата; ти ке се рашириш на запад и на исток, и на север и на југ, и сите племиња на земјата ке се благословуваат со тебе и во потомството твое.
15. И еве, Јас сум со тебе, и ке те пазам секогаш каде и да појдеш, и ке те вратам во оваа земја, и нема да те оставам се додека не го извршам она што сум ти рекол.'
16. А кога се разбуди Јаков од сонот, си рече : 'Сигурно е Господ на ова место; а јас не знаев!'
17. Се уплаши и рече : 'Колку е страшно ова место! Не е друго, а е дом Божји, ова е вратата небеска!'
18. И стана Јаков утредента рано, го зеде каменот, што го беше ставил под глава, и го постави како спомен, па го прелеа со масло.
19. И тоа место Јаков го нарече Ветил, односно дом Божји; а порано името на овој град му беше Луз.
20. И се зарече Јаков, велејќи : 'Ако Господ Бог биде со мене и ме запази на овој пат, по кој одам, и ако ми даде леб да јадам и облека да се облекувам,
21. и се вратам здрав во домот на таткото мој, и ми биде Господ Бог мој,
22. тогаш овој камен што го поставив за спомен ке ми биде дом Божји. И од се, што ке ми дадеш, ке Ти давам Тебе дел десетти.'

Глава 29

1. Тогаш се крена Јаков и отиде во земјата на исток, кај Лавана, синот на Ватуила Арамеецот, братот на Ревека, мајката на Јакова и Исава.
2. Одеднаш забележа во полето извор; и ете три стада овци лежеа околу него, бидејки на тој извор се поеја стада. Но голем камен имаше над отворот од изворот.
3. И се собираа таму сите стада, го иставаа каменот од отворот на изворот и ги напојуваа овците, а потоа пак го ставаа каменот над отворот од изворот на неговото место.
4. Јаков им рече : 'Од каде сте вие, брака?' Тие одговорија : 'Од Харан сме.'
5. А тој им рече : 'Го познавате ли Лавана, синот Нахоров?' Тие рекоа : 'Го познаваме.'
6. Тој пак ги праша : 'Здрав ли е?' Рекоа : 'Здрав е, и еве Рахил, керката негова, иде со стадото.'
7. И тој рече : 'Ете, уште е рано и не е време добитокот да се прибира. Напојте ги овците, па одете и пасете ги!'
8. А тие рекоа : 'Не можеме, додека не се соберат сите стада, за да се истави каменот од отворот над изворот, па тогаш ке ги напоиме овците.'
9. Додека тој уште зборуваше со нив, дојде Рахил со стадото од таткото нејзин, бидејки таа ги пасеше овците.
10. А кога ја виде Јаков Рахил, керката Лаванова, братот на мајка си, и стадото на Лавана, братот на мајка си, пристапи Јаков и го истави каменот од отворото на изворот, и го напои стадото на вујка си Лавана.
11. И ја целива Јаков Рахил, па извика и заплака.
12. Потоа и кажа на Рахил дека тој му е род на таткото нејзин и дека е син на Ревека, а таа оттрча, па го извести таткото свој.
13. А кога чу Лаван за Јакова, синот на неговата сестра, му излезе во пресрет, го прегрна и бакна, и го воведе во својот дом. А тој остана при него цел месец.
14. Лаван, пак, му рече : 'Ти си навистина коска од моите коски и од мојата плот!' И тој остана при него цел месец.
15. Тогаш му рече Лаван на Јакова : 'Зарем бесплатно ке ми служиш оти си ми род? Кажи ми, која да ти биде платата?'
16. А Лаван имаше две керки : на постарата и беше името Лија, а на помладата Рахил.
17. На Лија очите и беа болникави, а Рахил имаше убава става и убаво лице.
18. На Јакова му омиле Рахил, па рече : 'Ke ти служам седум години за Рахил, твојата помала керка.'
19. Тогаш Лаван рече : 'Подобро тебе да ти ја дадам, отколку на друг; остани при мене!'
20. И отслужи Јаков за Рахил седум години, и тие му се причинија како неколку дена, зашто ја сакаше.
21. И му рече Јаков на Лавана : 'Дај ми ја жената, зашто дојде времето да влезам при неа!'
22. И ги повика Лаван сите лу е од тоа место и направи свадбена гозба.
23. А вечерта ја зеде Лаван Лија, керката своја, и ја воведе кај Јакова, и Јаков влезе при неа.
24. И Лаван и ја даде Зелфа, слугинката своја, на Лија, керката своја, за да и биде слугинка.
25. А кога настана утрото, се виде дека тоа била Лија, па му рече Јаков на Лавана : 'Што ми направи? Нели за Рахил ти слугував? Зошто ме измами?'
26. А Лаван му рече : 'Не бива во нашето место да се омажи помалата пред постарата.'
27. Помини оваа седмица со неа, па ке ти ја дадам и другата, за која ке ми слугуваш други седум години.'
28. И Јаков направи така, и помина со неа една седмица. Потоа му ја даде Лаван за жена Рахил, керката своја.
29. И и ја даде Лаван слугинката своја Вала на Рахил, керката своја, за да и биде слугинка.
30. Тогаш Јаков влезе при Рахил. И Рахил повеке ја засака отколку Лија. И така му служеше на Лавана уште други седум години.
31. Кога виде Господ Бог, пак, дека Лија не е сакана, и ја отвори утробата нејзина, а Рахил

остана неплодна.
32. Лија зачна и му роди син на Јакова, и го нарече Рувим, велејки : 'Господ милостивно погледна на смирението мое, сега ке ме засака мажот мој.'
33. И пак зачна, и роди син, па рече : 'Господ чу дека не сум сакана, па ми го даде и овој.' И го нарече Симеон.
34. И одново зачна, пак роди син и рече : 'Сега веке ке ми се наклони мажот мој, оти му родив три сина!' Затоа му стави име Левиј.
35. А кога пак зачна, и роди син, рече : 'Сега ке го восфалам Господа!' Затоа го нарече Јуда. И престана да ра а.

Глава 30

1. Рахил, гледајки дека не му ра а деца на Јакова, и позавиде на сестрата своја, па му рече на Јакова : 'Дај ми деца, ако не - јас ке умрам!'
2. А Јаков се налути на Рахил, и и рече : 'Зар јас сум тој, а не Бог, што не ти дал плод на утробата?'
3. И му рече Рахил на Јакова : 'Ене ја слугинката моја Вала; влези при неа; нека ми роди таа в скут, па јас ке имам деца од неа.'
4. И му ја даде Вала, слугинкака своја, за жена, и Јаков влезе при неа.
5. И Вала зачна, и му роди на Јакова син.
6. А Рахил рече : 'Бог ми пресуди и го чу гласот мој, та ми даде син.' Затоа му стави име Дан.
7. И Вала, слугинката на Рахил, пак зачна, и му роди втор син на Јакова.
8. А Рахил рече : 'Ми помага Бог. Жестоко се борев со сестрата моја, но победив.' И му кладе има Нефталим.
9. А Лија, гледајки дека престана да ра а, ја зеде слугинката своја Зелфа и му ја даде на Јакова за жена; и тој влезе при неа.
10. И зачна Залфа, слугинката на Лија, и му роди на Јакова син;
11. Тогаш Лија рече : 'Дојде честа моја.' Па го нарече Гад.
12. И пак зачна Зелфа, слугинката Лиина, и му роди на Јакова и втор син.
13. И рече Лија : 'Блазе мене, зашто блажена ке ме наречуваат жените!' Затоа му стави име Асир.
14. А кога се жнееше пченицата, излезе Рувим во полето и најде мандрагори, па и ги донесе на Лија, мајката своја. А Рахил и рече на Лија, сестрата своја; 'Дај ми од мандрагорите на синот твој!'
15. Лија, пак, рече: 'Малку ли ти беше што ми го зеде мажот? Сакаш да ми земеш и од мандрагорите на синот мој? Рахил и одговори : 'Тогаш нека легне нокеска со тебе за мандрагорите од синот твој.'
16. И вечерта, кога Јаков се вракаше од полето, му излезе Лија во пресрет и рече: 'Влези при мене, зашто те откупив за мандрагорите од синот мој!' И легна тој со неа таа нок.
17. А Бог ја послуша Лија, и таа зачна, па му го роди на Јакова петтиот син.
18. И рече Лија : 'Бог ми даде награда, затоа што му ја дадов слугинката своја на мажот мој.' И му даде име Исхар, што значи награда.
19. И пак зачна Лија, и му го роди на Јакова шестиот син.
20. И рече Лија : 'Бог ме награди со убав дар, па можеби сега ке ме засака мажот мој, бидејки му родив шест синови.' Затоа го нарече Завулон.
21. Потоа роди керка и и стави име Дина.
22. Но Бог си спомна и за Рахил. И ја услиша Бог, па ја отвори утробата нејзина.
23. Таа зачна и му роди на Јакова син, па рече Рахил : 'Бог го отстрани од мене срамот мој.'
24. И му даде име Јосиф, велејки : 'Бог ке ми даде и друг син.'
25. А кога Рахил го роди Јосифа, му рече Јаков на Лавана: 'Пушти ме и ке си одам во моето место и во својата земја.
26. Дај ми ги жените мои, и децата мои, за кои ти служев, и да си одам; а ти знаеш како ти служев.'
27. Лаван му рече : 'Немој, ако сум нашол милост пред тебе. Гледам дека Бог ме благослови поради тебе.'
28. И уште рече : 'Барај плата, колку што сакаш, и јас ке ти дадам.'
29. А Јаков му одговори : 'Ти знаеш како ти служев и колку многу ти се зголеми добитокот со мене;
30. оти малку беше она, што го имаше, додека не дојдов јас; но многу се намножи, бидејки Господ Бог те благослови кога дојдов јас. Па кога и јас за себе така кука ке кукам?'
31. И му рече Лаван : 'Што бараш да ти дадам?' А Јаков одговори : 'Не треба ништо да ми

дадеш. Но направи онака како што ке ти кажам, а јас, пак, ке го пазам стадото твое и понатаму.
32. Ке го обиколам денес целото стадо твое и оддели секоја шарена овца и секоја црна и секоја шарена и пружеста коза. И тоа нека биде платата моја!'
33. Така после ке ми посведочи справедливоста моја пред тебе кога ке дојдеш да ја провериш наградата моја : ако се најде тогаш ме у моите овци која не е црна или шарена, и ме у козите мои, која не е шарена или пружеста, значи крадена е.'
34. Лаван му рече : 'Нека биде, како што рече!'
35. И ги оддели Лаван истиот ден јарците пружести и шарени и сите кози црвеникави и шарени - секоја на која имаше нешто бело и сите црни овци, па им ги предаде на синовите свои.
36. И определи растојание од три дена одење ме у себе и Јакова. А Јаков го пасеше другиот ситен добиток на Лавана.
37. И зеде Јаков зелени прачки тополови, бадемови и јаворови, па изрежа Јаков пруги, откако ја извади кората до беликата,
38. и ги стави така изрезаните прачки во коритата од поилата, каде што доа аа овците да пијат, а бидејки стоката зачнуваше, кога доа аше на вода,
39. овците, гледајки во прачките зачнуваа, па се ра аа овци белузлави, дамкичави и шарени.
40. И Јаков ги одделуваше и овците, и им ги свртуваше главите кон шареното и сето црно стадо на Лавана; а своето стадо го одделуваше и не го мешаше со стадото Лаваново.
41. И секогаш кога зачнуваше силниот добиток, Јаков ги ставаше прачките во поилата пред очите на добитокот, за да се пари гледајки во прачките.
42. А кога се пареше слабиот добиток, тогаш не ги ставаше. И го оставаше слабиот за Лавана, а силниот - за Јакова.
43. И така тој човек се збогати многу, многу, та имаше многу ситен добиток и крупен, слугинки и слуги и камили и осли.

Глава 31

1. Во тоа време чу Јаков дека синовите Лаванови зборуваат : 'Јаков зеде се, што беше на нашиот татко, и од она што беше на нашиот татко, го доби тоа цело богатство.
2. И виде Јаков дека лицето на Лавана не е спрема него како вчера и завчера.
3. И му рече Господ на Јакова : 'Врати се во земјата на таткото свој и во родот свој; и Јас ке бидам со тебе!'
4. Тогаш испрати Јаков, и ги повикаа Рахил и Лија од полето, каде што беше стадото,
5. и им рече : 'Гледам дека лицето на вашиот татко не е спрема мене како вчера и завчера; но Бог на таткото мој беше со мене.
6. Вие самите знаете дека на вашиот татко му служев со сета своја сила,
7. а таткото ваш ме лажеше и десетпати ми ја мени платата, но Бог не му дозволи да ми направи зло.
8. Кога тој ке речеше - секоја шарена нека биде твоја награда, - тогаш сите се ра аа шарени. А кога ке речеше - секоја пружеста да ти биде плата - тогаше сите се ра аа пружести.
9. Така Бог го одзеде добитокот од вашиот татко и ми го даде мене.
10. Еднаш, кога се пареше доботокот, ги кренав очите мои и видов сон, а тоа - овните и јарците што скокаа на овците и козите беа пружести, наместа бели и шарени.
11. И ангел Божји ми рече во сонот : 'Јакове!' А јас одговорив : 'Еве ме!'
12. А тој рече: 'Крени ги очите твои и погледај, овните и јарците што скокаат на овците и козите, се пружести, со бели дамки и шарени; оти гледам се што ти прави Лаван.
13. Јас сум Бог, Кој ти се јави во Ветил, каде што го прели каменот и ми направи таму завет; стани сега и оди си од оваа земја, и врати се во родниот крај и ке бидам со тебе.'
14. Тогаш одговорија Рахил и Лија, и му рекоа : 'Дали имаме уште некаков дел од наследството во домот од таткото наш?
15. Зарем не не сметаше како ту инки? Тој не продаде и го изеде нашето сребро.
16. Сето ова богатство и слава, што му ги зеде Бог на таткото наш, ке биде наше и на нашите деца. Затоа сега прави онака како што ти рекол Бог.'
17. И се крена Јаков, па ги качи децата свои и жените свои на камили;
18. и го зеде со себе сиот свој добиток, и целото свое богатство, што го беше придобил во Месопотамија, за да појде кај Исака, таткото негов, во земјата Хананска.
19. А Лаван беше отишол да ги стриже овците свои; тогаш Рахил му ги украде идолите на таткото свој.
20. И Јаков затаи од Лавана Арамеецот, не јавувајки му дека ке си оди.
21. И си замина тој со целото богатство свое, и се крена и премина преку реката, па се упати кон гората Галад.
22. На третиот ден му јавија на Лавана Арамеецот дека Јаков побегнал.
23. И ги зеде со себе синовите и браката свои, па тргна по него во потера, и по седум дена го стигна во гората Галад.
24. Но Бог му дојде на Лавана Арамеецот ноке во сон, и му рече: 'Пази се, не зборувај му на Јакова лошо!'
25. И го настигна Лаван Јакова; а Јаков ги беше распнал шаторите свои во гората. А и Лаван исто така ги распна со сродниците свои во гората Галад.
26. И Лаван му рече на Јакова : 'Што направи? Зошто ме излага и ги одведе керките мои, како со оружје грабнати?
27. Зошто тајно избега и скришум отиде од мене? Ако ми кажеше, јас ке те испратев со веселба и со песни, со тимпани и гусли?
28. Ти не ме удостои дури ни да ги бакнам внуците мои и керките мои? Постапи навистина неразумно.
29. Сега можам да постапам лошо со тебе. Но Бог на вашиот татко ми рече нокеска, велејки : - ‘Пази се, на Јакова не зборувај му лошо.‘

30. Оди си, значи, кога толку си се зажелел да се најдеше во куката таткова - но зошто ги украде идолите мои?'
31. А Јаков му одговори на Лавана и рече : 'Се плашев, оти помислив дека насила ке ми ги грабнеш керките свои од мене, и се мое.'
32. И рече Јаков : 'Кај кого ке ги најдеш идолите твои, тој нека не живее повеке; пред нашите сродници барај го она, што е твое кај мене.' Но тој ништо не најде кај него, а Јаков, пак, не знаеше дека Рахил, жената негова, ги украла.
33. И влезе Лаван и ги пребара во шаторот на Јакова и во шаторот Лиин и во шаторот на двете робинки, и не ги најде. Па, откако излезе од шаторот на Лија, влезе во шаторот на Рахил.
34. А Рахил беше ги зела идолите и ги сокрила под седлото на една од камилите и беше седнала на нив.
35. А таа му рече на таткото свој : 'Немој да се налутиш, господару мој, што не можам да станам пред тебе, оти го имам она што е кај жените обично. И ги бараше Лаван по целиот шатор, но не ги најде идолите свои.
36. И Јаков се налути, па се скара со Лавана и, велејки, му рече : 'Што сум направил, што сум згрешил, па толку жестоко ме гониш?
37. Ги пребара сите работи мои, и што најде од куката твоја? Покажи овде пред моите и пред твоите сродници, и тие нека пресудат ме у нас двајцата.
38. Еве, дваесет години бев кај тебе: овците твои и козите твои не се јаловеа; а овни од твоето стадо не јадев.
39. Што ке заколеа ѕверовите, не ти го носев, сам го надоместував; од мене го бараше она, што ке беше загубено дење или ноке.
40. Дење ме изнуруваше горештината, а ноке мрзнев; и сонот ми бегаше од очите.
41. Такви ми беа дваесетте години во твојата кука. Ти служев четиринаесет години за двете керки твои и шест години за овците твои, и платата ми ја измени десетпати.
42. Да не беше со мене Бог на мојот татко, Бог Авраамов, и стравот од Исака со мене, ти секако би ме отпуштил празен. Но Бог ја виде мојата невоља и трудот на рацете мои, па те прекори вчера.'
43. А Лаван му одговори на Јакова и рече: 'Керките се мои керки; децата се мои деца, добитокот е мој добиток и, се што гледаш, се е мое и на керките мои; па можам ли нешто да им направем ним и на децата што ги родија тие?
44. Туку ајде да склучиме сојуз јас и ти, и тоа нека биде сведоштво ме у мене и тебе!' А Јаков му рече: 'Никого нема со нас. Бог е сведок ме у мене и тебе.'
45. Тогаш Јаков зеде камен и го постави за спомен.
46. И им рече Јаков на сродниците свои: 'Соберете камења!' И Насобраа камења и ги нафрлија на куп, и јадеа таму на купот. Му рече Лаван: 'Оваа грамада денес сведочи ме у мене и тебе.'
47. Лаван го нарече купот Јегар - Сахадут, односно грамада сведоштво. А Јаков го нарече Галад, т.е. грамада сведок.
48. И му рече Јаков на Лавана: 'Овој куп и овој камен што го поставив ме у мене и тебе ке сведочи пред мене и тебе и затоа се нарече со името Галад.'
49. А се нарече и Миспа, оти Лаван рече: 'Нека гледа Бог на мене и на тебе, откако ке се разделиме еден од друг.
50. Ако постапуваш со керките мои лошо или ако земаш други жени покрај керките мои, тоа, иако нема човек да биде ме у нас да гледа, ете, Бог е сведок ме у мене и тебе.'
51. И уште му рече Лаван на Јакова: 'Еве го овој куп, еве го овој споменик, што го поставив ме у тебе и мене;
52. овој спомени нека биде сведок дека ниту јас нема да мина преку овој куп кај тебе, ниту ти кај мене ке минеш преку овој куп и преку овој споменик за лошо.
53. Бог Авраамов и Бог Нахоров, нека суди ме у нас!' И Јаков се заколна во - стравот на неговиот татко Исака.
54. Тогаш Јаков закла жртва во гората, и ги повика сродниците свои; и тие јадеа, пиеја и

нокеваа во горатa.
55. А утрина стана Лаван, и ги бакна внучињата и керките свои, и ги благослови; па се врати Лаван и отиде во своето место.

Глава 32

1. И Јаков тргна по својот пат и виде војска Божја спроти него; и го сретнаа ангели Божји.
2. А кога ги виде, Јаков рече: 'Ова е Божја војска.' И затоа местото го нарече Маханаим.
3. И прати Јаков пред себе гласници кај Исава, братот негов, во земјата Сеир, во крајот Едомски.
4. Па им заповеда и рече: 'Вака речете му на господарот мој Исава: - ‘Еве што вели слугата твој Јаков: бев при Лавана и досега се задржав таму;
5. а имам волови, осли и ситен добиток, слуги и слугинки; затоа испратив да го известат господарот мој Исава; не би ли нашол слугата твој милост пред тебе?‘'
6. И се вратија гласниците кај Јакова и му рекоа: 'Отидовме при братот твој Исав, и ете тој ти доа а во пресрет со четиристотини души.'
7. А Јаков се уплши многу и се загрижи; па ги раздели во две групи своите лу е што беа со него, и овците, и воловите, и камилите.
8. И рече Јаков: 'Ако Исав удри на едната група и ја разбие, можеби втората ке се спаси.'
9. И пак рече Јаков: 'Боже на таткото мој Авраама, Боже на таткото мој Исака, Господи Боже, Ти, Кој ми рече - ‘Врати се во земјата каде што си роден, и Јас ке ти бидам добротвор!‘ -
10. Не сум заслужил толкава милост и толкава вера што му ја направи на слугата Твој; зашто само со стап го минав овој Јордан, а сега сум господар на два табора.
11. Спаси ме од рацете на братот мој, од рацете Исавови, оти се плашам од него да не би, кога ке дојде да ме убие мене, да ги убие и мајките и децата.
12. А Ти рече - ‘Навистина Јас ке ти бидам добротвор, и ке направам потомството твое да биде како песокта морска, кое од множество не ке може да се изброи.‘
13. И пренокева таму таа нок, и зеде од се она што му беше при рака, па му испрати дарови на својот брат Исава:
14. двесте кози со двесте јарци, двесте овци со двесте овни,
15. триесет камили родилки со камилчиња, четириесет крави и десет јунишња, дваесет одлици и десет осли.
16. И им ги предаде на слугите свои, секое стадо посебно. Па им рече на слугите свои: 'Врвете пред мене и оставајте доволно растојание ме у едното стадо и другото!'
17. И му заповеда на првиот, велејки: 'Ако те сретне Исав, братот мој, и те праша, велејки: - ‘Чиј си?‘ - и - ‘Каде одиш?‘ - и - ‘Чие е тоа што го тераш пред тебе?‘
18. А ти кажи - ‘На слугата твој Јакова, а ова му го испрака како дар на господарот свој Исава, и ете, и самиот доа а по нас.‘
19. Што му заповеда на првиот, така направи и на вториот и на третиот и на сите што одеа по стадата, и рече: 'Така кажете му на Исава, кога ке го сретнете.'
20. И уште рече: 'Ете, Јаков слугата твој, доа а по нас.' Оти си велеше; 'Ке го ублажам со даровите што одат пред мене, па ке му го видам тогаш лицето; можеби, и ке ме прими.'
21. Така даровите тргнаа пред него, а тој пренокева таа нок кај таборот свој.
22. И нокта стана, па откако ги зеде обете жени свои и обете робинки и единаесетте синови свои, го премина потокот Јавок.
23. А откако нив ги зеде и ги преведе преку потокот, пренесе и се друго што имаше.
24. А кога остана Јаков сам, тогаш некој се бореше со него до зори.
25. И кога виде дека не може да го совлада, се допре до бедрото, така што на Јакова му се измести колкот од зглобот додека се бореше со Него.
26. Па тогаш рече: 'Пушти Ме веке, зора е!' Но Јаков одговори: 'Нема да Те пуштам, додека не ме благословиш.'
27. И му рече: 'Како се викаш?' А тој одговори 'Јаков'.
28. Тогаш му рече: 'Отсега името нема да ти биде Јаков, туку Израил ке е името твое; зашто храбро се бореше и со Бога, па и со лу ето силен ке бидеш.'
29. А Јаков праша и рече: 'Кажи ми го името Твое!' А Он одговори: 'Зошто прашуваш за името

Мое, кое е чудно?' И го благослови таму.
30. И Јаков го нарече она место со името Фануил, зашто, рече; 'Бога го видов лице в лице, и душата моја се спаси.'
31. А сонцето беше изгреало кога го мина Фануил, и накривнуваше поради колкот.
32. Затоа синовите Израилеви не ја јадат жилата кај зглобот од бедрото се до денешен ден, бидејки бедрото од Јакова му беше исчашен во тетивата.

Глава 33

1. И погледа Јаков со очите свои, па виде, ете Исав, братот негов доа а, и со него
четиристотини лу е. И ги раздели децата на Лија, и на Рахил и на двете слугинки.
2. И ги постави слугинките со нивните деца напред, а Лија и нејзините деца зад нив; додека
Рахил со Јосифа беа последни.
3. А самиот тој излезе прв пред нив и седумпати се поклони доземи, додека не дојде до братот
свој.
4. Исав истрча пред него и го прегрна, па му се обеси околу вратот и го бакна, и обајцата
заплакаа.
5. Исав, пак, кревајки ги очите, ги виде жените и децата, па рече: 'Кои ти се овие?' А Јаков
одговори: 'Деца, со кои Бог го помилува слугата твој.'
6. Тогаш пристапија слугинките со децата свои, и се поклонија.
7. Потоа пристапи Лија и децата нејзини, и се поклонија; а најпосле пристапија Јосиф и Рахил, и
се поклонија.
8. А Исав рече: 'Зошто ти е сите оние лу е, што ги сретнав?' Јаков одговори: 'Да најдам милост
пред очите на господарот мој.'
9. Исав, пак, рече: 'Има, брате, при мене доста; нека ти остане табе она што е твое.'
10. Но Јаков рече: 'Ако најдов милост пред очите твои, прими го дарот од мојата рака, зашто
кога го видов лицето твое дека убаво ме пречекува, како да бев го видел лицето Божјо.
11. Прими го дарот мој, што го донесов; бидејки изобилно ме обдари Бог, и имам се.' И навали
на него и тој го прими.
12. Потоа рече Исав: 'Ајде да одиме, ке појдам и јас со тебе.'
13. Но Јаков му рече: 'Знае господарот мој дека овие деца се мали, а имам овци и крави
доилки, па, ако ги подгонам само еден ден побрзо, ке ми изгине сето стадо.
14. Туку нека тргне господарот мој пред слугата негов, а јас ке одам полека, колку што можат
децата и добитокот пред мене, и ке дојдам кај господарот мој во Сеир.'
15. Исав рече: 'Ќе ти оставам неколку лу е, што се со мене.' Јаков одговори: 'Зошто? Доволно е
само да најдам милост пред господарот мој.'
16. И така Исав се врати истиот ден по својот пат во Сеир.
17. А Јаков отиде и таму си направи дом, а за добитокот свој направи трла. Затоа тоа место го
нарече Сокот.
18. Потоа Јаков дојде во Сихем, град во земјата Хананска, откако се врати од Месопотамија, и
се насели спроти градот.
19. И купи парче земја, каде што го распна шаторот свој, од Емор, таткото Сихемов, за сто
ковани пари.
20. И таму подигна жртвеник, и го призва Бога Израилев.

Глава 34

1. Дина, керката на Лија, која му ја роди на Јакова, излезе за да ги види девојките во тој крај.
2. Но ја виде Сихем, синот на Емореецот, кнез на таа земја, ја зеде и спа со неа, и ја осрамоти.
3. И му се припи срцето негово за Дина, керката на Јакова, и тој ја засака девојката, и гледаше да ја придобие.
4. И му рече Сихем на Емора, таткото свој, велејки: 'Ожени ме со онаа девојка!'
5. А Јаков чу дека синот Еморов ја осрамотил Дина, керката негова; но, бидејки синовите негови беа в поле со добитокот негов, Јаков замолча додека не дојдат тие.
6. Тогаш Емор, таткото Сихемов, отиде кај Јакова да поразговара со него.
7. А кога дојдоа синовите на Јакова од полето и слушнаа што станало, силно се нажалостија и огорчија многу, зашто тој му нанел срам на Израилот, преспивајки со керката на Јакова, што не требаше да го направи.
8. А Емор им рече, велејки: 'Синот мој Сихем од срце ја засака вашата керка. Дајте му ја за жена!
9. И посватете се со нас; керките ваши мажете ги за нас и со керките наши женете се.
10. Па живејте со нас, и земјата е пред вас; населувајте ја, движете се слободно и создавајте свои имоти.'
11. А Сихем му рече на таткото на девојката и на браката нејзини: 'Само да најдам милост пред очите ваши, и ке ви дадам се што ке ми кажете.
12. Побарајте најголем откуп и дарови: јас ке ви дадам се, што и да ми кажете; само дајте ми ја момата за жена.'
13. А синовите на Јакова му одговорија на Сихема, и на таткото негов, неискрено. А така одговорија, бидејки беше ја осрамотил Дина, сестрата нивна.
14. И им рекоа: 'Не можеме тоа да го направиме, да ја дадеме сестрата наша за човек необразан, зашто тоа е срамно за нас.
15. Но ке се согласиме со вас и ке се населиме кај вас, само ако сакате да се изедначите со нас и да ги обрежете сите ваши машки.
16. Тогаш ке ги мажиме нашите керки за вас и ке се жениме со вашите керки, ке се населиме кај вас и ке станеме еден народ.
17. А ако не не послушате да се обрежете, ние ке ја земеме нашата керка и ке си отидеме.'
18. И по воља им беа зборовите нивни на Емора и на Сихема, неговиот син.
19. И момчето, не двоумејки се, го направи тоа веднаш, бидејки многу ја засака керката на Јакова. А тој беше најпочитуван ме у своите во домот на неговиот татко.
20. И застана Емор и син му Сихем пред портите од нивниот град, и им рекоа на жителите од својот град, велејки:
21. 'Овие лу е се мирни, сакаат да се населат во оваа зења и слободно да се движат по неа; а еве - земја има и за нив. Па нека ги земаме нивните керки за жени, а и нашите да им го даваме ним.
22. Но се согласуваат со нас така да живеат и да станеме еден народ, само ако сите машки ме у нас се обрежат, како што се тие обрезани.
23. Нивните стада и нивниот имот и сиот нивни добиток нема ли да бидат и наши? Само да се согласиме со нив, и тие ке останат со нас.'
24. И сите што излегуваа од портите на градот нивни го послушаа Емора и Сихема, синот негов; и се обрезаа сите машки.
25. А на третиот ден, додека тие уште беа во болки, двајцата синови Јаковови, Симеон и Левиј, браката на Дина, го зедоа секој својот меч и слободно влегоа во градот и ги изубија сите машки.
26. Го погубија и Емора, и синот негов Сихем, со остар меч, и, откако ја зедоа Дина од домот на Сихема, си отидоа.
27. Тогаш дојдоа синовите на Јакова кај убиените, и го ограбија градот, зашто во него беше

осрамотена сестрата нивна.
28. И ги зедоа овците нивни, и добитокот нивни, и ослите нивни, се што беше во градот и се што имаше во полето.
29. И сето богатство нивно, и децата и жените нивни ги пленија, и ограбија се, што имаше во градот и во куките.
30. Тогаш Јаков им рече на Симеона и на Левиј: 'Ме смутивте и ме омразивте кај народот од оваа земја, кај Хананејците и Ферезејците. Јас имам малку лу е; тие ке се соберат против мене, ке ме убијат, та ке бидам истребен јас и домот мој.'
31. А тие рекоа: 'Зар со сестрата наша да постапуваат како со блудница?'

Глава 35

1. И му рече Бог на Јакова: 'Стани, оди горе во Ветил и живеј таму; и направи таму жртвеник на Бога, Кој ти се јави, кога бегаше од лицето на Исава, братот твој.
2. Тогаш Јаков им рече на своите домашни и на сите, кои беа со него: 'Исфрлете ги идолите, што се кај вас, па исчистете се и преоблечете се.
3. Да се кренеме и да отидеме во Ветил; таму ке направам жртвеник на Бога, Кој ме чу во денот на невољата моја, и беше со мене и ме спаси на патот, по кој одев.'
4. И му ги дадоа на Јакова сите идоли, што беа во нивни раце, и обетките, - што ги имаа на ушите; и ги закопа Јаков под дабот кај Сихем; ги остави непознати до денешен ден.
5. Потоа отиде Израил. А страв Божји ги беше спопаднал околните градови, та не се кренаа во потера по синовите Израилеви.
6. И Јаков дојде во Луз, во земјата Хананска, а тоа е Ветил, тој сам и лу ето што беа со него,
7. и направи таму жртвеник, и го нарече тоа место: Ел-Ветил, зашто таму му се беше јавил Бог, кога бегаше од лицето на Исава, својот брат.
8. Тогаш умре Девора, доилката на Ревека, и ја погребаа подолу од Ветил, под дабот, кого Јаков го нарече Плачи-даб.
9. И му се јави Бог на Јакова во Луз, откако се врати од Месопотамија, и го благослови Бог.
10. И му рече Бог: 'Името ти е Јаков, но отсега нема да се именуваш Јаков, името ке ти биде Израил.' И го нарече Израил.
11. И уште му рече Бог: 'Јас сум твој Бог; плоди се и множи се; народ и многу народи ке настанат од тебе и цареви ке излезат од твоето колено.
12. И ти ја дадов земјата, што му ја дадов на Авраама и на Исака, твоја да биде, а и на потомството твое ке му ја дадам оваа земја.'
13. Потоа Бог се издигна од местото, каде што му зборуваше.
14. А Јаков подигна споменик на истото место, каде што му зборуваше Бог; споменик од камен, па го покропи и го прелеа со елеј.
15. И Јаков го нарече тоа место, каде што му зборуваше Бог, Ел-Ветил.
16. И отиде Јаков потаму од Ветил, и го распна шаторот свој подалеку од кулата Гадер. А кога им преостана уште маку пат до Ефрат, Рахил роди, и породувањето и беше тешко.
17. А кога породилните маки и беа најтешки, бабицата и рече: 'Не плаши се, и ова ке ти биде син.'
18. А кога душата ја напушташе, бидејку умираше, го нарече Венони, т. е. син на болките мои. Но таткото му даде име Венијамин.
19. И умре Рахил, и ја погребаа крај патот што води кон Ефрат, а тоа е Витлеем.
20. И подигна Јаков споменик над гробот нејзин. Тоа е споменикот на гробот Рахилин до денешен ден.
21. А кога замина оттаму, Израил го распна шаторот свој зад кулата Гадер.
22. И кога Израил живееше во таа земја, отиде Рувим, та легна со Вала, наложницата на неговиот татко Јаков. И тоа го дочу Израил и се огорчи. А Јаков имаше дванаесет синови.
23. Синовите Лиини беа: Рувим, првенецот Јаковов, и по него Симеон, Левиј, Јуда, Исахар и Завулон.
24. А синовите на Рахил беа: Јосиф и Венијамин.
25. Синови, пак, на Вала, робинката на Рахил, беа Дан и Нефталим.
26. А синови на Зелфа, робинката Лиина, се: Гад, Асир. Тоа се синови Јаковови, кои му се родија во Месопотамија.
27. И дојде Јаков кај Исака, таткото свој, кој уште беше жив во Мамре во Киријат-Арби, односно во Хеврон, во земјата Хананска, каде што Авраам и Исак беа придојдени.
28. А Исак имаше сто и осумдесет години.
29. И изнемоштен, умре Исак, и беше прибран кај родот свој, бидејки стар и сит од животот. А го погребаа синовите негови Исав и Јаков.

Глава 36

1. А ова е родословот на Исава, кој се вика и Едом
2. Исав се ожени со керките хanански: Ада, керка на Елома Хетеецот, и Оливема, керката на Ананиј, синот на Севегона Евеецот.
3. И со Васемата, керката Исмаилова, сестрата на Навајот.
4. Ада му го роди на Исава Алифаса, а Васемата го роди Рагуила.
5. Оливема, пак го роди Јеуса, Јеглома и Кореја. Тоа се синовите Исавови, кои му се родија во земјата Хананска.
6. И Исав ги зеде жените свои, и синовите свои, и керките свои и сите домашни свои, и стадата свои, и сиот добиток свој, и сето богатство свое, и се што го беше добил во земјата Хананска, па отиде Исав од земјата Хананска во друга земја, далеку од Јакова, братот свој.
7. Оти, богатствата им беа многу големи, па не можеа да живеат заедно; ниту земјата, во која беа придојдени, можеше да ги прибере, поради многуте стада.
8. И се насели Исав, наречен Едом, на гората Сеир.
9. Ете, тоа е племето Исавово, татко на Едомците на гората Сеир.
10. Еве ги имињата на синовите Исавови: Елифас, син на Ада, жена Исавова, и Рагуил, син на Васемата, жена Исавова.
11. А Елифасови синови беа: Теман, Омар, Софар, Готом и Кенез.
12. Тамна беше наложница на Елифас, синот Исавов, и му го роди на Елифаса Амалик. Тоа се синовите на Ада, жената Исавова.
13. А ова се синовите Рагуилови: Нахот, Заре, Соме и Мозе. Тоа беа синовите на Васемата, жената Исавова.
14. Синовите, пак, на Оливема, керката на Ананија, жената Исавова: синот Севегонов; таа му ги роди на Исава Јеуса, Јеглома и Кореја.
15. А ова се старешините Исавови: синовите на Елифас, првенецот Исавов: старешината Теман, старешината Омар, старешината Софар, старешината Кенез,
16. старешината Кореј, старешината Готом, старешината Амалик. Тоа се старешините од Елифас во земјата Едомска, кои се синови Адини.
17. Ова се, пак, потомците на Рагуила, синот Исавов: старешината Нахот, старешината Заре, старешината Соме, и старешината Мозе. Тоа се старешините од Рагуила во земјата Едомска; тие се синови на Васемата, жената Исавова.
18. А потомци на Оливема, жената Исавова: старешината Јеус, старешината Јеглом, старешината Кореј. Тоа се старешините од Оливема, керката на Ананиј, жена Исавова.
19. Тоа беа синовите Исавови, и старешините нивни, кои се синови Едомови.
20. Еве ги синовите на Хореецот Сеир, кои живееја во онаа земја: Лотан, Совал, Севегон и Ана.
21. Дисон, Асар и Рисон. Тие се старешини на Хореовиот син Сеир во земјата Едомска.
22. А синови Лотанови беа: Хориј и Еман; сестра, пак, Лотанова беше Тамна.
23. Ова се, пак, синовите Совалови: Голам, Манахат, Говил, Софар, и Омар.
24. Синови на Севегон беа: Аиј и Ана. Тој е оној Ана, кој ги пронајде топлите извори во пустињата, кога ги пасеше ослите на Севегон, таткото свој.
25. Деца, пак, Ананиеви се: Дисон и Оливема, керката на Ана.
26. А ова се синовите Дисонови: Амад, Асван, Итран и Харан.
27. Асванови синови беа: Валам, Зеван и Акан.
28. Синови, пак, на Рисона беа: Уз и Аран.
29. Еве ги старешините на Хорејците: старешината Лотан, старешината Совал, старешината Севегон, старешината Ана,
30. старешината Дисон, старешината Асар, старешината Рисан. Тоа се старешините на Хорејците, според старешинствата во земјата Сеир.
31. А ова се царевите, кои царуваа во Едом, пред да станувaат цареви синовите Израилеви:
32. во Едом царуваше Валак, синот Веоров, а градот се викаше Денава.

33. А кога умре Валак, по него се зацари Јовав, синот Зарин од Восор.
34. По смртта на Јовав, се зацари Асом од земјата Теманска.
35. А кога умре Асом, на негово место се зацари Адад, синот Варадов, кој ги порази Мадијамците во полето Моавско, а градот се викаше Гетен.
36. Умре и Адад, а на негово место се зацари Самада од Масекас.
37. По смртта на Самада се зацари Саул од Ровот, кој се нао а крај река.
38. А кога умре Саул, на негово место се зацари Валенон, синот Аховоров.
39. Умре и Валенон, синот на Аховор, а на негово место се зацари Адар, синот Варадов, а градот му се викаше Фогор. Името на жената негова и беше Метевеил, керка на Матраида, син Мезевев.
40. Еве ги имињата на старешините Исавови, според племињата нивни, по народите нивни, по местата нивни: старешината Тамна, старешината Гола, старешината Јетер,
41. старешината Оливема, старешината Ила, старешината Финон,
42. старешината Кенез, старешината Теман, старешината Мазар,
43. старешината Магедил, старешината Зафој. Тоа се Едомски старешини според населбите во нивната земја. Исав им беше татко на Едомците.

Глава 37

1. Јаков живееше во земјата, во која беше придојден неговиот татко Исак, во земјата Хананска.
2. Еве го животот на Јакова: кога беше на седумнаесетгодишна возраст Јосиф го пасеше добитокот на татка си со браката свои, со синовите на Вала и со синовите на Зелфа, жените на неговиот татко. Јосиф му носеше лоши гласови на татка си за нив.
3. А Јаков го сакаше Јосифа многу повеке од сите синови свои, зашто му се роди под староста, и му направи шарена облека.
4. А браката, гледајки дека таткото нивни го сака многу повеке од сите синови свои, го замразија, така што не можеа убав збор да му кажат.
5. Притоа Јосиф сони сон и им го раскажа на браката свои.
6. И им рече: 'Чујте го сонот што го сонив -
7. врзуваме снопја во полето, и одеднаш мојот сноп се исправи, и застана прав, а вашите снопови се распоредија наоколу и му се поклонија на снопот мој.'
8. Тогаш браката му рекоа: 'Да не би ке станеш уште цар наш и да ни заповедаш?' Затоа уште повеке го замразија, поради соништата негови и поради зборовите негови.
9. Потоа тој сони и втор сон, и им го раскажа на татка си и на браката свои, велејки: 'Видов и уште еден сон, а тоа - сонцето и месечината и единаесетте ѕвезди ми се клањаа.'
10. Но татко му го прекори и рече: 'Каков е тој сон што си го сонил? Зар јас и мајката твоја, и браката твои, ке дојдеме тебе да ти се поклониме доземи?'
11. И му позавидоа браката негови; но таткото негов ги чуваше тие зборови.
12. Еднаш браката негови отидоа да ги пасат стадата на таткото нивни кај Сихем.
13. Тогаш Израил му рече на Јосифа: 'Браката твои не го пасат ли доботокот кај Сихем? Ајде да те испратам при нив.' А тој рече: 'Добро, одам.'
14. И уште му рече Израил: 'Отиди и види како се браката твои и како е добитокот, па јави ми.' И го испрати од долината Хевронска; и тој отиде во Сихем.
15. И човек еден го најде како скита по полето, па го запраша, велејки му: 'Што бараш?'
16. А тој одговори: 'Ги барам браката мои; кажи ми, те молам, каде го пасат добитокот?'
17. А човекот рече: 'Тие си заминаа одовде, зашто чув како велат - ајде да одиме во Дотаим.' И отиде Јосиф по браката свои, и ги најде во Дотаим.
18. А тие го видоа оддалеку; и, пред да им се приближи, почнаа да се договараат за да го убијат.
19. И си рекоа поме у себе: 'Ене оној што сонува, иде.
20. Ајде сега да го убиеме и да го фрлиме во некоја од овие јами, па ке речеме - лута ѕверка го изеде. Тогаш ке видиме што ке стане од неговите соништа.'
21. Но, кога го чу тоа Рувим, се обиде да го спаси од рацете нивни, па рече: 'Да не го убиваме!'
22. И уште им рече Рувим: 'Крв да не пролеваме; фрлете го во една од овите јами во пустињата, но не кревајте рака на него.' А тој сакаше да го спаси од рацете нивни и да го одведе кај татка му.
23. И кога Јосиф дојде кај браката свои, тие му ја соблекоа облеката шарена, што ја имаше на себе.
24. И го фарија, па го фрлија во една јама; а јамата беше празна; немаше вода во неа.
25. Потоа седнаа да јадат леб. И кревајки ги очите, видоа Исмаилци како доа аат од Галад со камилите свои, натоварени со миризливи растенија, балсам и смирна; го пренесуваа тоа во Египет.
26. Им рече Јуда на браката свои: 'Каква полза ке имаме, ако го убиеме братот наш и ја сокриеме крвта негова?
27. Ајде да им го продадеме на овие Исмаилци, па да не клаваме рака на него, зашто брат ни е, наша крв е.' И го послушаа браката негови.
28. Па кога трговците Мадијамски минуваа покрај нив, тие го извадија Јосифа од јамата и им го продадоа на Исмаилците за дваесет златници; а овие го одведоа Јосифа во Египет.

29. А кога се врати Рувим кај јамата, Јосифа го немаше во јамата. Тогаш тој ја раскина облеката своја.
30. И отиде кај браката свои и рече: 'Го нема момчето: а сега, каде да се денам јас?'
31. Тогаш ја зедоа облеката Јосифова, и заклаа јаре, па ја натопија облеката со крв.
32. И ја испратија шарената облека да се однесе на нивниот татко и да се рече: 'Ја најдовме оваа облека, па види дали е тоа облеката на синот твој, или не?'
33. А тој ја позна и рече: 'Облеката е на мојот син, ѕверка лута го изела; Јосиф е, навистина, растргнат.'
34. И ја раскина Јаков облеката своја, па се препаша со покајнички кострет околу себе; и тагуваше по синот свој многу дни.
35. И се собраа сите синови негови и керки негови да го тешат; но тој не можеше да се утеши, туку велеше: 'Со тага во адот ке појдам по синот мој.' Така го оплакуваше таткото негов.
36. А Мадијамците го продадоа Јосифа во Египет на Петефри, дворјанин на Фараонот, заповедник на стражата.

Глава 38

1. А во тоа време Јуда се оддели од браката свои, и се настани кај некој човек Одоламеец, по име Ирас.
2. И таму ја виде Јуда керката на некој Хананеец, чие име беше Сава, и ја зеде и влезе при неа.
3. Таа забремени, и роди син; и тој го нарече Ир.
4. Одново зачна, и пак роди син, и нему му стави име Онан.
5. И пак роди син, и го именува Силом. А Јуда беше во Хасафија, кога таа ги роди овие.
6. И Јуда го ожени првородениот син свој Ир со девојката по име Тамара.
7. Но Ир, првенецот Јудин, беше лош пред Господа, и Бог го погуби.
8. Тогаш Јуда му рече на Онана: 'Влези при вдовицата од братот твој, и ожени се со неа, за да го запазиш потомството на братот твој.'
9. А Онан, знаејки дека породот нема да биде негов, кога влегуваше при жената на братот свој, го истураше семето наземи, за да не му даде потомство на братот свој.
10. Но тоа што го правеше, беше зло пред очите на Бога, па затоа и него го погуби.
11. Тогаш Јуда, по смртта на обата свои синови, и рече на Тамара, снаата своја: 'Живеј како вдовица во куката на таткото твој додека порасне синот мој.' Оти си велеше во себе да не умре и тој како браката негови. И отиде Тамара, и живееше во куката на својот татко.
12. Измина многу време и умре керката на Сава, жената Јудина. А кога Јуда се утеши, појде во Тамна кај лу ето што му го стрижеа стадото, тој сам и неговиот пријател Ирас, Одоламеецот.
13. И и јавија на Тамара, снаата негова: 'Ете, свекорот твој оди во Тамна да ги стриже овците свои.'
14. А таа ја соблече од себе вдовичката облека и се облече во летна облека, си стави превез, па седна пред портата на Енаим, на патот за Тамна. Зашто виде, дека Силом беше пораснал, а неа уште не му ја даваа за жена.
15. Кога ја виде Јуда, помисли дека е блудница, зашто таа го беше покрила лицето свое, и не ја позна.
16. И тој се одби при неа и и рече: 'Дозволи ми да влезам при тебе!' Зашто не ја позна дека му е снаа. А таа рече: 'Што ке ми дадеш, ако влезеш при мене?'
17. А тој одговори: 'Ќе ти испратам јаре од стадото.' А таа му рече: 'Но да ми дадеш залог, додека не го испратиш.'
18. А тој рече: 'Каков залог да ти дадам?' А таа му одговори: 'Својот прстен, крпата и стапот што ти е во раката.' И тој и ги даде, па влезе при неа; и таа зачна од него.
19. Потоа таа стана и си отиде; ја сметна летната облека од себе и ја облече вдовичката облека.
20. А Јуда испрати јаре по овчарот свој, Одоламеецот, за да си го поврати залогот од жената и тој не ја најде.
21. Па ги праша лу ето од она место, велејки: 'Каде е блудницата што беше на распакето во Енаим?' А тие одговорија: 'Овде немаше блудница.'
22. И тој се врати кај Јуда и рече: 'Не ја најдов. Дури мештаните ми рекоа дека таму немало блудница.'
23. А Јуда рече: 'Нека си ги задржи, само да не ми се смеат; јас и го испратив и јарето, но ти не ја најде.'
24. А кога изминаа околу три месеци, му јавија на Јуда, велејки: 'Тамара, снаата твоја се оддала на блуд и, ете, бремена е од блуд.' А Јуда рече: 'Изведете ја за да се запали!'
25. А кога ја поведоа, таа прати на свекорот нејзин да му кажат: 'Од човек, чие е она - сум зачнала.' Уште додаде: 'Од оној, чиј е прстенов, крпава и стапов!'
26. А Јуда ги препозна, па рече: 'Таа е поправедна од мене, бидејки не ја дадов на синот свој Силом.' И повеке не влезе при неа.
27. И кога дојде времето да роди, а тоа - близнаци во утробата нејзина.
28. И кога се породуваше, едното дете ја покажа раката, а бабицата зеде и му врза црвен

конец околу раката, велејки: 'Овој е првенец.'
29. Но тоа ја повлече раката, и ете излезе неговото братче, а таа рече - како ја пресече обвивката, па пресек нека ти биде. И му ставија име Фарес.
30. А потоа излезе неговото братче со црвен конец на раката. Нему му ставија име Зара.

Глава 39

1. А Јосифа го одведоа во Египет. И Петефри, дворјанинот Фараонов, заповедник на стражата, Египтјанин, го купи од Исмаилците, кои го доведоа таму.
2. И Господ беше со Јосифа, та затоа беше задоволен, и живееше во куката од господарот свој, Египтјанинот.
3. И господарот негов виде дека е Господ со него и дека се што работеше тој, Господ правеше да успева во рацете негови.
4. И Јосиф се здоби со милост кај овој господар, и му угодуваше. Најпосле го постави над целиот свој дом, и се што имаше, го предаде во рацете негови.
5. А кога го постави над домот свој и над се што имаше, оттогаш Господ го благослови домот на Египтјанинот заради Јосифа; и благословот Господов беше над се, што имаше во куката и во полето негово.
6. И остави во Јосифовите раце се за што имаше, и не се грижеше веке за друго, освен за лебот, што го јадеше сам. А Јосиф беше со убава става и со красиво лице.
7. И се случи, по некое време, жената на господарот негов, да се загледа во Јосифа, и му рече: 'Легни со мене!'
8. А тој одби и и рече на жената од господарот свој: 'Ете, господарот мој не се грижи веке за ништо што има во куката, туку се што имаше, ми го предаде мене во рацете.
9. Ни самиот не е поголем од мене во својот дом; и тој ништо не ми забранил, освен тебе, зашто си му жена; па како јас да направам толку големо зло и да грешам пред Бога?'
10. И така таа му зборуваше на Јосифа за тоа секој ден, но тој не ја послуша да легне со неа, ниту да се задржува кај неа.
11. Се случи еден ден тој да дојде во куката по своја работа, а таму дома да нема никого од домашните.
12. Тогаш таа го фати за облеката и му рече: 'Легни со мене!' Но тој, оставајќе ја облеката своја во рацете нејзини, избега и си отиде.
13. А таа, кога виде дека тој ја остави во рацете нејзини облеката своја и избега,
14. ги викна своите домашни, па им рече, велејќи: 'Гледајте, ни довел човек Евреин за да не срамоти. Дојде при мене и рече: ‘Легни со мене!‘ Но јас извикав на сиот глас.
15. А тој, кога чу дека го подигнав гласот и извикав, ја остави облеката своја кај мене и избега, па си отиде.'
16. И таа ја задржа облеката негова кај себе, додека си дојде господарот во домот свој.
17. А тогаш и нему му ја кажа истата работа, велејќи: 'Слугата Евреинот, што го доведе кај нас, дојде кај мене да ме срамоти и ми рече: ‘Да бидам со тебе!‘
18. Но кога чу дека подигнав глас и извикав, тој ја остави облеката своја кај мене и си избега.'
19. Кога ги чу господарот негов зборовите на жената своја, која му рече: 'Ова ми го направи слугата твој,' - се разгневи многу.
20. И го фати господарот Јосифа, па го фрли в затвор, каде што лежеа затворениците царски. И тој остана таму, во затворот.
21. Но Господ беше со Јосифа и излеа милост Своја над него и направи да му омили на старешината на затворската стража.
22. И му ги довери началникот на затворската стража на Јосифа сите затвореници во затворот; и се што требаше да се сврши, тој го вршеше.
23. И старешината на затоврот не надгледуваше ништо: се беше во Јосифовите раце, зашто Господ беше со него; и се што правеше, Господ делуваше да успева во рацете негови.

Глава 40

1. Потоа се случи, пехарникот на царот египетски и лебарот да му згрешат на господарот свој, царот египетски.
2. И Фараонот се разгневи над тие двајца дворјани, на старешината над пехарниците и на старешината над лебарите,
3. па ги стави под стража во куката на заповедникот на стражата, каде што Јосиф беше затореник.
4. А заповедникот на стражата ги предаде на Јосифа тој да ги пази. И останаа тие таму некое време.
5. И обајцата сонија сон во иста нок, секој по значењето на својот сон за себе, и пехарникот и лебарот на царот египетски, кои беа затворени во темницата.
6. А утредента, кога дојде Јосиф кај нив, ги виде, а тие беа невесели.
7. Па ги запраша дворјаните Фараонови, кои беа под стража заедно со него во куката на господарот негов, и рече: 'Што ви се денес лицата толку нажалени?'
8. А тие му одговорија: 'Обајцата сонивме сон, а нема кој да ни го протолкува.' Јосиф им рече: 'Што значат, не ли е тоа во Бога? Раскажете ми ги!'
9. И старешината над пехарниците му го раскажа сонот свој на Јосифа, велејки 'Ете, пред мене лоза,
10. на лозата имаше три прачки; и таа запупи и расцути, врза грозје, кое узреа;
11. а во раката ми беше чашата Фараонова, зедов еден грозд, го истискав во Фараоновата чаша и му ја дадов чашата на Фараонот в рака.'
12. Јосиф му рече: 'Еве го значењето: трите прачки лозови се три дена.
13. По три дена Фараонот ке те помилува и пак ке те постави на поранешната служба; и одново ке му ја подаваш чашата во раката негова како и порано, кога му беше пехарник.
14. Но, кога ке ти биде добро, сети се на мене и направи ми добро; спомни му на Фараонот за мене и изведи ме од оваа тврдина;
15. оти ме украдоа од земјата Еврејска; а и овде ништо лошо не сум направил, за да бидам фрлен во затвор.'
16. А кога виде старешината над лебарите колку добро му го протолкува сонот, му рече на Јосифа: 'И јас сонив: и тоа - на главата моја три кошници леб;
17. во најгорната кошница имаше се што јаде Фараонот, што го прават пекарите; и птици небески колваа од кошницата над мојата глава.'
18. А Јосиф одговори и рече: 'Тоа значи - три кошници се три дена.
19. По три дена Фараонот ке ти ја земе главата и ке те обеси на дрво, а птиците ке колваат од телото твое.'
20. И кога дојде третиот ден, а тоа беше денот во кој се родил Фараонот, тој им приреди гозба на своите слуги, па се сети на старешината над пехарниците и на старешината над лебарите поме у слугите свои;
21. И го врати старешината над пехарниците на поранешната служба, за да му ја подава чашата на Фараонот,
22. додека старешината над лебарите го обеси на дрво, како што беше рекол Јосиф.
23. Но старешината над пехарниците не си спомна за Јосифа, туку го заборави.

Глава 41

1. А по две години сони сон Фараонот - како стои крај една река.
2. И одеднаш - од реката излегоа седум убави и дебели крави, па почнаа да пасат на брегот;
3. а по нив, потоа, од реката излегоа други седум крави, грди и слаби и пасеа со другите крави на брегот.
4. И седумте грди и слаби крави ги изедоа оние седум убави и дебели крави, и не се познаваше дека ги изеле. Тогаш се разбуди Фараонот.
5. Потоа видел втор сон, а тоа - седум класја израснале од едно стебло, јадри и убави;
6. а по нив израснале седум празни, исушени од ветар.
7. Потоа празните и исушените класја ги изеле седумте големи и јадри класја. Тогаш Фараонот се разбуди, но тоа било сон.
8. Утредента беше тој вознемирен во душата, та нареди, и беа повикани сите гаталци египетски и сите мудреци. И Фараонот им раскажа што сонил, но никој не се најде да го протолкува сонот на Фараонот.
9. Тогаш му проговори на Фараонот главниот пехарник и рече: 'Денес се сетив за гревот мој.
10. Кога Фараонот се налути на слугите свои и не фрли в затвор во куката на заповедникот стражарски, мене и старешината над лебарите,
11. сонувавме во иста нок јас и тој, но секој од нас свој сон видовме по своето значење.
12. А таму со нас беше еден млад Евреин, слуга на заповедникот на стражата; ние му ги раскажавме соништата наши, а тој на секого од нас му го протолкува сонот.
13. И како што ни кажа, така и стана: мене ме врати Фараонот на мојата служба, а оној другиот беше обесен.'
14. Тогаш Фараонот нареди, та го повикаа Јосифа, и брзо го изведоа од затворот, а тој се острига и се преоблече, па излезе пред Фараонот.
15. А Фараонот му рече на Јосифа: 'Сонив сон, а никој не може да ми каже што значи: а за тебе слушам умееш да толкуваш соништа.'
16. Јосиф му одговори на Фараонот и рече: 'Без Бога не може да му се даде на Фараонот точен одговор.'
17. И му рече фараонот на Јосифа, велејки: 'Сонив, како стојам крај брегот на една река;
18. и одеднаш - од реката излегоа седум дебели и убави крави, па почнаа да пасат по брегот;
19. и ете, по нив други седум крави излегоа, многу грди и слаби во телото, какви што не сум видел полоши во целата земја Египетска, толку грди крави.
20. И оние крави, слаби и грди, ги изедоа оние седум дебели.
21. А кога им беа во стомакот, не се познаваше дека им се во стомакот, туку пак беа така грди како порано. Тогаш се разбудив.
22. Па пак сонив, а тоа - седум класја израснаа од едно стебло, јадри и убави;
23. а по нив израснаа седум тенки и празни класја, исушени од ветар.
24. И седумте празни класја исушени од ветрот ги проголтаа седумте јадри и убави класја. И сево ова им го раскажав на гаталците, но ниеден не знаеше да ми објасни.'
25. А Јосиф му рече на Фараонот: 'Сонот Фараонот е еден: Господ му јавува на Фараонот, што ке прави.
26. Седумте убави крави се седум години, и седумте убави класја се пак седум години; и обата сона Фараонови се еден сон.
27. Седумте слаби и грди крави, кои излегоа по оние, се седум години; и седумте класја празни и истенчени од ветар се седум години; ке има седум години глад.
28. Тоа е она што веке му го реков на Фараонот: Бог му кажува на Фараонот што ке прави.
29. Ете, ке дојдат седум години многу родни по целата земја Египетска;
30. а по нив ке настапат седум години гладни; ке се заборави сето она изобилство во земјата Египетска, и глад ке ја сотре земјата.
31. Кога ке се појави гладта, нема да се знае дека во земјата порано имало изобилие - поради

гладот - што ке дојде, оти ке биде многу голем.
32. А тоа, што Фараонот сонил двапати еднободруго, значи дека Божјиот збор е вистински и дека Бог наскоро ке го направи тоа.
33. А сега Фараонот нека побара човек мудар и разумен, па да го постави над земјата Египетска.
34. И нека заповеда Фараонот да бидат поставени старешини по земјата, па да собираат петина од сите жетви по земјата Египетска во текот на седумте родни години;
35. нека собираат тие секаква зрнена храна во седумте родни години што доа аат; житото да го собираат во градовите со овластување од Фараонот и храната во градовите да се чува.
36. И таа храна да биде запазена за седумте гладни години што ке настапат во земјата египетска, за да не пропадне земјата од глад.'
37. Неговиот одговот му се свиде на Фараонот и на сите слуги негови.
38. Па им рече Фараонот на слугите свои: 'Зар можеме да најдеме чевек, како што е овој, во кого има дух Божји?'
39. И му рече Фараонот на Јосифа: 'Бидејки Бог тебе ти го откри сево ова, тоа нема човек толку мудар и поразумен како што си ти.
40. Ти ке бидеш над домот мој, и целиот народ мој ке го слуша зборот твој; само со престолот ке бидам поголем од тебе.'
41. И уште му рече Фараонот на Јосифа: 'Еве, те поставувам денес тебе над целата земја Египетска.'
42. И го извади Фараонот прстенот од раката своја и му го стави на Јосифа на рака, и го облече во облека, од најфина ткаенина, и му стави златна веришка околу вратот.
43. И заповеда да го возат во неговата втора кола, а гласник пред него да извикува; 'Абрек! (Поклонувајте се!)' И го постави над целата земја Египетска.
44. И уште му рече Фараонот на Јосифа: 'Јас сум Фараон, но без тебе никој нема да крене рака, ни нога во целата земја Египетска.
45. И го нарече Фараонот Јосифа Пеонтомфаних; и го ожени со Асенета, керката на Петефри, илиополски жрец.
46. А Јосиф имаше триесет години, кога се претстави пред Фараонот, царот египетски. И, откако отиде од Фараонот, тој ја обиколи целата земја Египетска.
47. И за седум родни години земјата роди во изобилство.
48. И собираше Јосиф за тие седум години секаков вид жито, што го даваше земјата Египетска, и го носеше житото во градовите; во секој град го носеше житото од околните ниви.
49. Така насобра Јосиф многу жито, колку што е песокта морска, така што престанаа да го мерат, зашто немаше број.
50. А пред да настана гладните години, му се родија на Јосифа два сина, кои му ги роди Асенета, керката на Петефри, жрецот илиополски.
51. И на прворoдениот Јосиф му стави име Манасија, велејки: 'Оти Бог ми направи да ги заборавам несреките мои и целиот дом на мојот татко.'
52. А вториот го нарече Ефрем, велејки: 'Бидејки Бог ме направи плоден во земјата на маките мои.'
53. Но изминаа седумте родни години во земјата Египетска,
54. и настапија седумте гладни години, како што беше рекол Јосиф. И настана глад по сите земји, а во целата земја Египетска имаше леб.
55. Но, кога почна да гладува и земјата египетска, народот му записка на Фараонот за леб. А Фараонот им рече на сите Египтјани: 'Одете кај Јосифа, па како што ке каже тој, така правете.'
56. А кога гладот се прошири во целата земја, ги отвори Јосиф сите житници и почна да им продава на Египтјаните жито, оти гладот стана жесток и во земјата Египетска.
57. И од сите земји доа аа во Египет, да купуваат жито од Јосифа, бидејки настана голем глад насекаде.

Глава 42

1. Кога Јаков чу дека во Египет има жито, им рече на синовите свои: 'Што чекате?'
2. И им рече: 'Ете, слушам дека во Египет има жито; одете таму и купете ни жито, за да останеме живи и да не умреме.'
3. И десетмината брака Јосифови отидоа во Египет да купат жито.
4. А Венијамина, братот Јосифов, Јаков не го пушти со браката негови, велејки: 'За да не го снајде по патот некоја несрека.'
5. И дојдоа синовите Израилеви да купат жито заедно со другите што доа аа, бидејки и во земјата Хананска владееше глад.
6. А Јосиф беше управител во земјата; тој и му продаваше жито на сиот народ од таа замја. И браката Јосифови, кога дојдоа, му се поклонија до лицето доземи.
7. А Јосиф, штом ги виде браката свои, ги позна; но се држеше настрана од нив, и остро им проговори и рече: 'Од каде сте дојдени?' А тие одговорија: 'Од земјата Хананска, да купиме храна.'
8. Јосиф, пак, ги позна браката свои, но тие него не го познаа.
9. И се сети Јосиф за соништата, што ги беше сонил за нив, па им рече: 'Вие сте разузнавачи. Сте дошле да ги извидите слабите места на оваа земја.'
10. А тие му рекоа: 'Не сме, господару, туку слуги твои, што дошле да купат храна;
11. сите сме синови на еден човек, чесни лу е сме; слугите твои никогаш не биле разузнавачи.'
12. Тој, пак, им рече: 'Не, туку сте дошле да извидите каде е слабоста на оваа земја.'
13. А тие рекоа: 'Ние бевме дванаесет брака, слугите твои, синови на еден човек во земјата хананска; и, ене, најмалиот денес е со таткото наш, едниот го нема веке.'
14. Тогаш Јосиф им дофрли: 'Ви реков јас - вие сте разузнавачи.
15. Туку вака сакам да се уверам: Се колнам во животот на Фараонот, дека вие нема да излезете одовде, ако не дојде ваму најмалиот брат ваш.
16. Испратете еден од вас, и тој нека го доведе вашиот брат; а вие ке бидете задржани овде додека не видам дали е вистина тоа што го велите; инаку сте разузнавачи, жими животот на Фараонот.'
17. И ги стави под стража за три дена.
18. А на третиот ден им рече: 'Ако сакате да останете живи, еве што ке направите, зашто јас се плашам од Бога:
19. ако сте чесни лу е, еден брат од вас нека остане овде под стража, а вие одете и однесете го купеното жито колку што им треба на вашите семејства.
20. А потоа доведете го кај мене најмалиот брат ваш, за да се потврдат зборовите ваши. Ако ли не, ке загинете.' И тие постапија така.
21. И си рекоа еден на друг: 'Тешко нам! Ова е казната поради братот наш; не ја почувствувавме маката на душата негова кога ни се молеше, но ние се оглушивме. О затоа и не снајде ова зло.'
22. А Рувим им одговори, велејки: 'Зар не ви реков јас - не грешете му на детето? Но вие не ме послушавте; и, еве, сега од нас се бара крвта негова.'
23. А тие на знаеја дека Јосиф ги разбира, зашто се него разговараа преку преведувач.
24. Тогаш Јосиф се оддели од нив и заплака. Потоа пак се врати при нив, и проговори со нив, па земајки го од нив Симеона, го врза пред очите нивни.
25. И заповеда Јосиф да им ги наполнат вреките нивни со жито, а парите, кој колку што дал, да им ги вратат секому во вреката, и да им дадат храна за по пат. И така беше направено.
26. Па, откако го натоварија житото на ослите свои, си заминаа оттаму.
27. А еден од нив, кога нокеваа, ја отвори вреката, за да го нахрани ослето свое, и ги виде парите свои одозгора во вреката;
28. им рече на браката свои: 'Јас ги добив парите мои назад, еве ги во мојава врека.' И затрепери срцето во нив. Се уплашија и си рекоа: 'Што ни го направи Бог ова!'

29. И, откако дојдоа кај Јакова, таткото нивни, во земјата Хананска, му раскажаа за се, што им се случи, велејки:
30. 'Остро зборуваше со нас човекот, што заповеда во таа земја, и не задржа в затвор како разузнавачи.
31. А ние му рековма дека сме чесни лу е, никогаш не сме биле разузнавачи.
32. Дванаесет брака сме синови на нашиот татко; едниот веке го нема, а најмалиот е денес со таткото наш, во земјата Хананска.
33. Но човекот што заповеда во таа земја, ни рече: ‘Вака ке дознаам дали сте чесни лу е. Еден од браката нека остане овде кај мене, а вие купеното жито земете го и одете си.
34. А потоа доведете го при мене братот ваш најмал, за да се уверам дека не сте разузнавачи, туку чесни лу е. Тогаш братот ваш ке ви го пуштам, и ке можете да тргувате во оваа земја.'
35. И празнејки ги врекитe свои, за чудо, секој си го најде во врeката своето кесе со парите негови. Кога ги видоа кесињата со парите нивни, тие и таткото нивни се уплашија.
36. И им рече Јаков, нивниот татко: 'Децата ми ги запустивте; Јосифа го нема, го нема и Симеона, па и Венијамина ли ке ми го земете? Сето ова на мене се струпа.'
37. Тогаш проговори Рувим и му рече на таткото свој: 'Двата мои сина уби ги, ако не ти го доведам; дај го во мои раце, и јас ке ти го вратам.'
38. А тој рече: 'Нема да појде син ми со вас, зашто брат му негов умре и тој остана сам; па, ако се случи некоја несрека на патот, по кој ке одите, стар ке ме турнете со тага в гроб.'

Глава 43

1. Но гладот се зголемуваше во таа земја.
2. А кога го изедоа житото, што го беа донеле од Египет, таткото нивни им рече: 'Одете пак и купете ни малку храна.'
3. Јуда му проговори и рече: 'Оној човек јасно ни рече ‘Да не се јавувате пред лицето мое, ако вашиот помал брат не дојде со вас.‘
4. Ако ги пуштиш со нас братот наш, ке одиме и ке ти купиме храна.
5. Ако, пак, не го пуштиш, тогаш нема да одиме, оти оној човек ни рече - ‘Нема да го видите лицето мое, ако вашиот брат не биде со вас‘.'
6. Но Израил рече: 'Зошто ми направивте такво зло и му рековте на човекот дека имате уште еден брат?'
7. А тие одговорија: 'Човекот подробно се распрашуваше за нас и за родот наш, велејки: ‘Дали е уште жив таткото ваш? Имате ли уште брака?‘ И ние му одговоривме како што не прашуваше. Можевме ли да знаеме дека ке рече: ‘Доведете го братот ваш!‘'
8. А Јуда му рече на Израила, таткото свој: 'Пушти го малиот со мене, па ке се кренеме и ке отидеме за да останеме живи, и да не изумреме ни ние, ниту ти, ни нашите деца.
9. Јас ке одговарам за него, од моја рака ке го бараш. Ако не ти го доведам и не го претставам пред тебе, ке бидам виновен пред тебе до крајот на мојот живот.
10. Да не се двумеше толку, веке досега можеби двапати ке се вратевме.'
11. Тогаш Израил, таткото нивни, рече: 'Ако е така, еве што ке направите - земете плодови од оваа земја, и ставете ги во вашите вреки, па однесете му ги како подарок на оној човек; малку балсам, малку мед, темјан, зачини, мирилива смола, па и ореви и бадеми.
12. А пари, со себе земете двојно повеке, оти ке треба да ги вратите парите, што ги најдовте под грлата на вашите враки; можеби е грешка.
13. Земете го и братот ваш, па станете и одете пак кај оној човек.
14. А семокниот Бог да ви даде да најдете милост кај оној човек, па да ви го пушти и другиот ваш брат, и Венијамина. А јас, пак, ако треба веке да останам без деца, па нека останам.'
15. Тогаш тие ги зедоа подароците и пари двојно повеке, го зедоа и Венијамина, па станаа и отидоа во Египет и излегоа пред Јосифа.
16. А Јосиф кога го виде со нив и Венијамина, својот едноутробен брат, му рече на човекот што управуваше со куката негова: 'Одведи ги овие лу е дома, па заколи нешто од добитокот и зготви го, оти тие на пладне со мене ке ручаат.'
17. И направи човкот така како што му рече Јосиф, и ги одведе лу ето во домот Јосифов.
18. А тие лу е се уплашија, кога човекот ги водеше во домот Јосифов, и рекоа: 'Заради парите, што се најдоа порано во вреките наши, не водат, додека не смислат нешто, па да не обвинат, за да не заробат нас и ослите наши.'
19. И му пристапија на човекот, што управуваше со домот Јосифов, и му проговорија пред вратата на куката
20. и рекоа: 'Чуј не, господару! Ние и порано бевме овде, за да купиме храна.
21. Но кога бевме на нокевање, ги отворивме вреките, а тоа - парите на секого од нас беа одозгора во вреките наши; и еве во иста количина ги вракаме со свои раце,
22. а и други пари донесовме, да купиме храна; ние не знаеме кој ни ги стави парите наши во вреките.'
23. А тој одговори: 'Бидете спокојни, не плашете се, вашиот Бог и Бог на таткото ваш го ставил среброто во вреките ваши; парите ваши стигнаа при мене.' И им го изведе Симеона.
24. И ги воведе човекот во домот Јосифов и им донесе вода, за да ги измијат нозете; а им даде и храна за ослите нивни.
25. И ги приготвија подароците, чекајки дури да дојде Јосиф на пладне, оти чуја дека тука ке ручаат.
26. А кога дојде Јосиф дома, му ги изнесоа подароците, што ги имаа при себе, и му се

поклонија доземи.
27. Потоа тој ги праша за здравјето и рече: 'Добар ли е вашиот татко, за кого ми зборувавте? Жив ли е уште?'
28. А тие одговорија: 'Жив е слугата твој, нашиот татко, и здрав е.' Па се наведнаа и му се поклонија.
29. Кога ги подигна Јосиф очите свои, го виде братот свој, Венијамина, едноутробниот брат свој, и рече: 'Овој ли е најмалиот брат ваш, за кого ми рековте дека ке ми го доведете?' И додаде: 'Бог нека те милува синко!'
30. Тогаш Јосиф побрза надвор, оти срцето му се беше возбудило поради братот негов. Му дојде да заплаче, па влезе во една соба и таму плачеше.
31. Потоа се изми и излезе, и воздржувајки се рече: 'Принесете јадење!'
32. И му донесоа, нему посебно, ним одделно, и на Египтјаните посебно, што ручаа кај него, зашто Египтјаните не можат да јадат со Евреите, оти тоа би им било неугодно на Египтјаните.
33. И седнаа тие пред него, постарите според возраста нивна, а помладите според младоста нивна, па се погледаа, чудејки се.
34. И нареди тој по дел од јадењата што беа пред него, да ги носат пред нив, а делот на Венијамина беше петпати поголем од делот на секого од нив. И пиеја и се нагостија со него.

Глава 44

1. Потоа му заповеда Јосиф на домоуправителот свој, велејки: 'Наполнете им ги на овие лу е вреките со жито, колку што можат да носат, и на секого во отворот на вреката ставете им ги парите нивни;
2. а чашата моја сребрена ставете му ја на најмалиот во вреката, и парите негови за купеното жито!' И тој направи така, како што му рече Јосиф.
3. А утредента, на осамнување, ги испратија лу ето со ослите нивни.
4. Уште не беа изминале многу пат од градот, му рече Јосиф на човекот, кој управуваше со домот негов: 'Стани, оди брзо по оние лу е, а, кога ке ги стигнеш, кажи им: ‘Зошто вракате зло за добро‘.
5. Не е ли тоа чашата, со која пие мојот господар? И нема ли секако по неа да познае какви сте. Лоша направивте со тоа.'
6. И тој ги стигна, и им ги рече овие зборови.
7. А тие му одговорија: 'Зошто зборуваш, господару, такви зборови? Не, слугите твои такво нешто не можат да направат.
8. Дури и парите, што ги најдовме при отворот на вреките, ги донесовме од земјата Хананска, па како можевме да украдеме од куката на господарот твој сребро или злато?'
9. А при кого од слугите твои ке се најде чашата, тој нека загине; а ние, пак, ке му бидеме робови на господарот наш.'
10. А тој, пак, рече: 'Нека биде така, како што рековте; но во кого ке се најде чашата, тој нека ми биде роб, а вие другите нема да бидете виновни.'
11. И тие брзо ги симнаа вреките свои, и ги одврзаа секој својата врека.
12. А тој почна да бара, почнувајки од најстариот, и кога дојде до најмалиот, и се најде чашата во вреката Венијаминова.
13. Тогаш ја раскинаа облеката своја, па го натоварија секој товарот на својот осел, и се вратија во градот.
14. И влезе Јуда со браката свои во домот на Јосифа, кој беше се уште дома, и паднаа пред него на коленици.
15. А Јосиф им рече: 'Што направивте? Зар не знаевте дека човек, каков што сум јас, погодува и секако ке може да разбере?'
16. Тогаш рече Јуда: 'Што да одговориме, господару наш? Што да кажеме или со што да се оправдаме? Бог ја откри неправдата на твоите слуги. Еве, ние сме сите робови твои, господару, и ние и овој, во кого се најде чашата!'
17. Но Јосиф одговори: 'Не, јас не го сакам тоа; кај кого се најде чашата, тој нека ми биде роб, а вие одете си со здравје кај таткото ваш.'
18. Но Јуда пристапи до него и рече: 'Господару, дозволи да проговори слугата твој пред тебе и гневот твој нека не се истури на слугата твој, зашто ти си по Фараонот.
19. Господарот мој ги праша слугите свои влејки: ‘Имате ли татко или брат?‘
20. А ние му рековме на господарот наш: ‘Имаме стар татко и најмал брат, кој му се роди во староста; а неговиот брат умре, и тој остана сам од мајката своја, и таткото многу го сака!‘
21. А ти им рече на слугите твои: ‘Доведете го кај мене да го видат моите очи.‘
22. И ние му рековме на господарот: ‘Не ке може детето да го остави таткото свој; ако го остави татка си свој, тој веднаш ке умре.‘
23. А ти им рече на слугите твои: ‘Ако не дојде со вас братот ваш најмал, нема повеке да го видите лицето мое.‘
24. Па, кога се вративме кај слугата твој, а таткото наш, му ги кажавме зборовите на господарот наш.
25. Потоа ни рече таткото наш: ‘Одете пак, купете ни малку храна.‘
26. А ние рековме: ‘Не можеме да одиме; но, ако дојде со нас братот наш најмал, тогаш ке одиме, зашто не можеме да го видиме лицето на оној човек, ако со нас не биде нашиот најмал

брат.‘
27. А и слугата твој, таткото наш, ни рече: 'Знаете дека жената моја ми роди два сина.
28. А еден од нив отиде од мене, и рековте - ‘Сигурно е растргнат‘, и јас досега не го видов.
29. Ако и овој го земете од мене, па го снајде некоја невола по патот, ке ме турнете вака стар со тага в гроб.‘
30. И сега, ако отидам кај слугата твој, таткото наш, а ова дете да не биде со нас, бидејки душата негова е сврзана за душата на овој,
31. и кога ке види дека го нема детето, ке умре; и слугите твои ке го турнат стариот слуга твој, а таткото наш, со тага в гроб.
32. А твојот слуга ја зеде одговорноста за детето пред таткото наш, велејки: ‘Ако не ти го доведам и не го претставам пред тебе, нека бидам виновен пред таткото свој довека.‘
33. Затоа јас, слугата твој, нека останам место детето, да му бидам роб на господарот мој, а детето нека си оди со бракaта свои.
34. Оти, како ке се вратам кај таткото свој, детето да не е со мене? Не би можел да ја гледам тагата, што ке го снајде мојот татко.'

Глава 45

1. Тогаш Јосиф, не можејки повеке да се воздржи пред оние кои стоеја околу него, извика: 'Одстранете ги сите од мене.' И така никој не остана при Јосифа кога им се откри на браката свои.
2. Па заплака силно, така што чуја Египтјаните, а се чу и во домот на Фараонот.
3. И им рече Јосиф на браката свои: 'Јас сум Јосиф! Дали е уште жив татко ми?' Но браката не можеа да му одговорат, бидејки се смутија пред него.
4. Но Јосиф им рече на браката свои: 'Дојдете поблизу до мене!' И тие пристапија; а тој им рече: 'Јас сум Јосиф, братот ваш, кого го продадовте во Египет.
5. А сега, пак, не жалостете се ниту да жалите што ме продадовте ваму, оти Бог ме прати мене пред вас, за да го запази животот ваш.
6. Оти има веке две години, откако настапи глад на земјата, а уште пет години остануваат, во кои ке нема ни орање, ниту жетва.
7. Затоа Бог ме прати пред вас, за да ве зачува на земјата, а и да ви го запази животот со големо избавување.
8. И така, не ме пративте вие ваму, туку Бог. Кој ме постави како татко на Фараонот и господар на целиот дом негов и кнез над целата земја Египетска.
9. Вратете се брзо кај таткото мој и кажете му: 'Вака вели синот твој Јосиф - Бог ме постави за господар над целиот Египет; дојди при мене, не одлагај.
10. Ке живееш во земјата Гесем Арабиски и ке бидеш близу до мене, ти и синовите твои, и внуците твои, и овците твои, и воловите и се што е твое.
11. А јас ке се грижам ваму за прехраната твоја, зашто глад ке има на земјата уште пет години, та да не загинеш ти, и синовите твои, и се, што е твое.
12. И ете, гледате со очите ваши, и братот мој Венијамин со свои очи гледа, дека мојата уста ова ви го зборува.
13. Раскажете му на таткото мој за сета слава моја во Египет и за се што видовте, па поскоро доведете го ваму таткото мој.'
14. Потоа го прегрна братот свој Венијамина и плачеше над него. А и Венијамин плачеше, над братот негов.
15. И ги целива сите брака свои и плачеше над нив, прегрнувајки ги. Потоа неговите брака разговараа со него.
16. Тогаш глас се пренесе во домот на Фараонот, дека пристигнале браката на Јосифа. И се зарадува Фараонот и слугите на неговите дворјани.
17. И му рече Фараонот на Јосифа: 'Кажи им на браката твои - еве што ке направите: 'Натоварете ги ослите ваши, и вратете се во земјата Хананска.
18. Па земете го таткото ваш и се што е ваше и дојдете кај мене, и ке ви ја дадам најубавата земја што ја има во Египет, и така вие ке живеете во изобилие во оваа земја.'
19. А тебе, пак, ти заповедам да им кажеш - Вака направете: 'Земете со себе од земјата Египетска коли за децата ваши и за жените ваши, и поведете го таткото ваш, и дојдете ваму.
20. И немојте да жалите за покуквината ваша, зашто се, што е најубаво во земјата египетска, ке биде ваше.'
21. И синовите Израилеви така постапија. А Јосиф им даде коли, по наредба на Фараонот; им даде и храна за по пат.
22. И на секого им даде по две облеки, а на Венијамина му даде триста сребреници и пет промени.
23. А и на татка си свој му испрати десет осли, натоварени со најубави работи, што имаше во Египет, и десет ослици, натоварени со жито и храна на татка му за по пат.
24. Тогаш ги испрати браката свои, и тие тргнаа; а им порача: 'Немојте да се карате патем!'
25. И така тие излегоа од Египет, и стигнаа во земјата Хананска кај Јакова, таткото нивни.
26. И му раскажаа се, велејки: 'Јосиф, синот твој е жив, и тој е господар над целата земја

Египетска.' А неговото срце се смути, зашто не им веруваше.
27. Но, кога му раскажаа за се, што им беше рекол Јосиф, и кога ги виде колите, што му ги беше испратил Јосиф, за да го земат, тогаш оживе духот на Јакова, таткото нивни.
28. И рече Израил: 'Доволно е што е жив синот мој Јосиф; ќе појдам да го видам, пред да умрам.'

Глава 46

1. И тргна Израил со се што имаше, па, откако дојде во Вирсавија, Му принесе жртва на Бога од таткото свој Исака.
2. И му рече Бог на Израила ноке во видение; 'Јакове! Јакове!' А тој одговори: 'Еве ме!'
3. Тогаш Бог му рече: 'Јас сум Бог, Бог на таткото твој. Не плаши се да слезеш во Египет, оти таму ке направам од тебе голем народ.
4. Јас ке слезам со тебе во Египет, и Јас пак ке те вратам ваму; и Јосиф ке ги заклопи очите твои.'
5. И тргна Јаков од Вирсавија; и синовите Израилеви го сместија Јакова, таткото свој, и децата свои, и жените свои и имотот свој во колите, што беше им ги пратил Јосиф, за да го доведат.
6. И го зедоа доботокот свој и имотот свој, што го беа спечалиле во земјата Хананска, и дојдоа во Египет - Јаков и сиот негов род заедно со него.
7. Тој ги доведе со себе во Египет синовите свои и внуците свои, и керките свои и внуките свои, и целото свое потомство.
8. А ова се имињата на децата Израилеви, кои дојдоа во Египет: Јаков и синовите негови. Првенецот на Јакова Рувим.
9. Синовите Рувимови: Енох и Фалос, Асрон и Харми.
10. Синовите Симеонови: Јемуил, Јамин, Аод, Јахим, Соар, и Саул, син на Хананејката.
11. Аиновите Левиеви: Гирсон, Кат и Мерариј.
12. Синовите Јудини: Ир, Авнан, Силом, Фарес и Зара; но Ир и Авнан умреа во земјата Хананска. Синови Фаресови беа Есрон и Хамуил.
13. Синови Исахарови: Тула, Фува, Јов и Симрон.
14. Синови Завулонови: Серед, Алон и Ахоил.
15. Тоа се синовите Лиини, што му ги роди на Јакова во Месопотамија Сириска, заедно со Дина, керката негова. Сите синови и керки негови беа триесет и три души.
16. Синови Гадови: Сифон, Агиј, Сусиј, Есвон, Ириј, Ародиј и Арилиј.
17. Синови Асирови: Емна, Есва, Усвиј и Вериј - и сестрата нивна Сара. А синови на Вериј беа: Хевор и Мелхил.
18. Тоа се синовите на Зелфа, која и ја даде Лаван на Лија, керката своја; таа му роди на Јакова шеснаесет души.
19. Синови, пак, на Рахил, жената на Јакова, беа: Јосиф и Венијамин.
20. А на Јосифа во Египет му се родија од Асенета, керката на Петефриј, жрецот илиополски: Манасија и Ефрем.
21. А синови Венијаминови беа: Вела, Вехер и Асвил; синови Велови: Гира, Наман, Ихиј, Рос, Упим, а Гира го роди Арад.
22. Тоа се синовите на Јакова, што му го роди Рахил, - вкупно четиринаесет души.
23. А син Данов: Асом.
24. Синови Нефралимови: Асил, Гуниј, Есер и Силим.
25. Тоа беа синови на Вала, која и ја даде Лаван на кеката своја Рахил; таа му роди на Јакова вкупно седум души.
26. Сите, кои дојдоа со Јакова во Египет и кои беа излегле од бедрата негови, освен жените на синовите Јаковови, беа вкупно шеесет и шест души.
27. И двајцата синови Јосифови, што му се родија во Египет; сите души, значи, во домот на Јакова, кои дојдоа во Египет, беа седумдесет.
28. Израил го прати Јуда кај Јосифа пред себе, за да го сретне во сирискиот град - Гесем, во земјата Гесемска.
29. Тогаш Јосиф ја впрегна колата своја, и му излазе во пресрет на Израила, таткото свој, во сирискиот град Гесем; и кога го виде Јаков, му се обеси околу вратот, и плачеше долго на вратот негов.
30. Потоа Израил му рече на Јосифа; 'Сега, бидејки со свои очи видов, оти си жив, можам да

умрам.'
31. А Јосиф им рече на бракатa свои - 'Одам да му соопштам на Фараонот и ке му речам: ‘Браката мои и семејството на таткото мој, кои беа во земјата хананска, дојдоа кај мене.
32. Тие се лу е овчари; од секогаш се занимавале со сточарство; и ги доведоа со себе овците и говедата свои и се што имаа.‘
33. А кога Фараонот ке ве повика и ке ве праша: ‘Каква работа работите,‘
34. вие кажете: ‘Овчари се слугите твои уште од младини па досега, и ние и татковците наши‘ - за да останете во земјата Гесем Арабиски. Оти Египтјаните сите овчари ги сметаат за нечисти.'

Глава 47

1. И отиде Јосиф, па му јави на Фараонот, велејки: 'Таткото мој и браќата мои, со овците нивни и говедата нивни, и со се што имаа, дојдоа од земјата Хананска; и, ете, тие се сега во земјата Гесемска.'
2. И земајки од браќата свои пет души - ги претстави пред Фараонот.
3. А Фараонот им рече на браќата Јосифови: 'Каква работа работите?' Тие му одговорија на Фараонот: 'Овчари се слугите твои, и ние и нашите татковци, од детство па до сега.'
4. И уште му рекоа на Фараонот: 'Дојдовме да поживееме во оваа земја, зашто нема пасишта за доботокот на слугите твои, бидејки голем глад завладеа во земјата Хананска; затоа дозволи им на слугите твои да се населат во земјат Гесем Арабиски.'
5. А Фараонот му рече на Јосифа: 'Таткото твој и браќата твои дојдоа при тебе;
6. земјата Египетска е во твоја власт; насели ги на најдобро место: таткото твој и браќата твои; нека живеат во земјата Гесем; и, ако знаеш, дека ме у нив има способни лу е, постави ги за надгледници над мојот добиток.'
7. Потоа го доведе Јосиф Јакова, таткото свој и го претстави пред Фараонот: Јаков го благослови Фараонот.
8. А Фараонот го праша Јакова: 'Колку години имаш?'
9. Му одговори Јаков на Фараонот: 'Деновите на мојот живот на земјата се сто и триесет; годините на мојот живот беа кратки и злочести и не ги достигнаа дните на татковците мои, колку што тие живееја.'
10. Потоа се збогува со Фараонот и, откако го благослови, Јаков си отиде од него.
11. А Јосиф ги насели и таткото свој и браќата свои и им даде најдобро место во сопственост во земјата Египетска во областа Рамзес како што беше заповедал Фараонот.
12. И му даде Јосиф жито на таткото свој и на браќата свои, и на целиот татков дом, според бројот на членовите.
13. Но жито немаше по целата земја, зашто гладот стана многу голем: се истошти земјата Египетска и земјата хананска од глад.
14. И ги собра Јосиф сите пари што се нао аа во земјата египетска и во земјата Хананска, мерејки им жито, што го купуваа, и ги однесе во домот Фараонов.
15. И снема пари во земјата египетска и во земјата Хананска. Тогаш сите Египтјани почнаа да доа аат кај Јосифа и викаа: 'Дај ни леб! Зошто да умираме пред тебе? Парите веке свршија.'
16. А Јосиф им велеше: 'Дајте го доботокот свој, па ке ви дадам леб за доботокот, штом парите сте ги потрошиле.'
17. И го доведуваа добитокот свој кај Јосифа, а Јосиф им даваше жито за коњите, за овците, за воловите и за ослите. Така ги исхрани таа година со жито во замена за сиот добиток нивни.
18. А кога помина таа година, почнаа пак да доа аат кај него и втората година, велејки: 'Зар да изгинеме пред господарот наш? Бидејки парите наши свршија, а и добитокот и имотот што го имавме пред тебе, и кај господарот наш, па не ни остана веке ништо да му донесеме на господарот наш, освен телата наши и нивите наши.
19. За да не пропаднеме пред очите твои, купи не нас и нивите наши за жито, па ние и земјата наша да му станеме робови на Фараонот. А ти дај ни семе, да сееме и да останеме живи и да не умреме, та и земјата да не запусти.'
20. И тако Јосиф ја купи за Фараонот сета земја во земјата Египетска, бидејки сите Египтјани ја продадоа својата земја на Фараонот, зашто гладот ги притисна. И земјата стана Фараонова.
21. А народот го пороби од едниот крај на Египет до другиот.
22. Само не ги купи имотите на жреците, бидејки Фараонот имотите им ги подарил, и тие се хранеа од давачки, што им ги определил Фараонот. Затоа тие не ја продадоа земјата своја.
23. Јосиф, пак, им рече на сите Египтјани: 'Ете, ве купив денес вас и нивите ваши за Фараонот. Па, еве ви семе, и посејте ги нивите.
24. Но од родот една петина ке му давате на Фараонот, а четирите дела нека останат за вас:

за сеење на нивите и за прехрана ваша и на оние, кои се по домовите ваши.'
25. А тие рекоа: 'Ти ни го запази животот; нека најдеме милост пред господарот наш и да му бидеме робови на Фараонот.'
26. И донесе Јосиф закон, кој е и денес во сила во земјата Египетска: петина му припа а на Фараонот, освен од земјата на жреците, што не стана Фараонова.
27. А Израил се насели во земјата египетска, во обласата Гесем, која ја држеше, и се изнародија и намножија многу.
28. И поживе Јаков во земјата Египетска седумнаесет години; а деновите на Јакова броеја сто и четириесет и седум години
29. А кога се наближи времето Израил да умре, го повика синот свој Јосифа и му рече: 'Ако сум нашол милост пред тебе, стави ја раката твоја под бедрото мое, и направи ми милост и вети ми: немој да ме погребеш во Египет.
30. Но за да почивам кај татковците мои, затоа пренеси ме од Египет горе и погреби ме во гробот нивни.' А тој рече: 'Ќе направам како што велиш.'
31. И му рече: 'Заколни ми се!' И тој му се заколна. Тогаш Израил му се поклони врз перницата на постелата.

Глава 48

1. Потоа му јавија на Јосифа: 'Ене, татко ти е болен.' А тој ги поведе со себе двајцата синови свои, Манасија и Ефрема, и дојде кај Јакова.
2. И го известија Јакова, велејки му: 'Ете, синот твој доа а при тебе.' А Израил собра сили и седна на постелата своја.
3. И му рече Јаков на Јосифа: 'Сесилниот мој Бог ми се јави мене во Луз, во земјата Хананска, ме благослови,
4. и ми рече: 'Ќе те направам плоден и многуброен; и ке направам од тебе да произлезат многу народи, ке ја дадам оваа земја и на твоето потомство по тебе во вечна сопственост.
5. А сега, двајцата синови твои, кои ти се родија во земјата Египетска, пред да дојдам во Египет, нека бидат мои: Ефрем и Манасија, како што ми се Рувим и Симеон.
6. Децата, пак, кои ти се родија по нив, нека останат твои; а во наследството свое нека се викаат според имињата на браката нивни.
7. А кога се вракав од Месопотамија Сириска, умре мајка ти Рахил во земјата Хананска, по пат, близу до Ефрат, и јас ја погребав таму на патот за Ефрат, наречен сега Витлеем.'
8. А, откога ги виде Израил синовите Јосифови, праша: 'Кои се овие?'
9. А Јосиф му рече на таткото свој: 'Тоа се моите синови, кои ми ги даде Бог овде.' И рече Јаков: 'Доведи ги при мене, да ги благословам.'
10. Оти очите на Израил му беа ослабеле од староста, па не можеше добро да гледа. А кога му ги доведе, ги прегрна и ги целива.
11. И му рече Израил на Јосифа: 'Не се надевав дека ке го видам лицето твое; но, ете, Бог ми ги покажа и децата твои.'
12. Тогаш Јосиф ги истави од колената негови и му се поклони со лицето доземи.
13. Па ги зеде Јосиф обајцата, Ефрема во својата десна рака, спроти левата на Израил, а Манасија во својата лева рака, спроти десната на Израил, и ги приближи до него.
14. А Израил ја пружи десната рака своја и ја стави врз главата на Ефрема, иако тој беше помал, а левата врз главата на Манасија. Така ги вкрсти рацете нарочно, макар што Манасија беше првороден.
15. И го благослови Јосифа, велејки: 'Бог, по чиј пат секогаш одеа пред него татковците мои Авраам и Исак, Бог, Кој ми беше Спасител, откако сум настанал па се до денешен ден,
16. Ангелот, Кој ме избавуваше од секое зло, нека ги благослови овие деца; со името мое и името на татковците мои, Авраама и Исака, по нив да се спомнува, и во мноштва многубројни на земјата да се намножат.'
17. А на Јосифа му беше тешко кога виде дека татко му својата десна рака ја возложи врз главата на Ефрема. Па ја зеде татковата десна рака за да ја премести од главата Ефремова на главата Манасиева,
18. и му рече Јосиф на тата си: 'Не така, татко, оти оној е првенец; стави ја својата десна рака врз неговата глава.'
19. Но такото не сакаше, туку рече: 'Знам, синко, знам, и од него ке излезе народ, и тој ке биде голем; но помалиот брат ке биде поголем од него, и од неговото семе ке произлезе многуброен народ.'
20. И ги благослови во оној ден и рече: 'Преку вас ке се благословува Израилот и ке се вели: ‘Бог нека ти направи, како што му направи на Ефрема и на Манасија.‘' Така го постави Ефрема над Манасија.
21. А потоа Израил му рече на Јосифа: 'Еве, јас умирам; но Бог ке биде со вас и ке ве врати во земјата на татковците ваши.
22. И јас ти давам еден дел повеке отколку на браката твои, од она што го зедов од рацете аморејски, со својот меч и со својот лак.'

Глава 49

1. Потоа ги повика Јаков синовите свои и им рече: 'Соберете се, за да ви соопштам однапред, што ке се случи со вас во последните денови.
2. Соберете се и послушајте ме, вие синовите на Јакова, полушајте го Израилот таткото ваш -
3. Рувиме, сине мој првороден, ти се крепост моја и почеток на чедата мои; прв по достоинство и прв по сила.
4. Ти бликаш како вода; нема да се издигнеш, зашто се качи на татковото легло, и ја оскверни постелата моја, на која се качи.
5. Симеон и Левиј се брака, но направија оружје на неправда.
6. Во советувањата нивни да не влегува душата моја, и во собирот нивни да не учествува славата моја; бидејки тие во гневот свој убија лу е, а за своја веселба испокинаа жили на јунец.
7. Проклет да е гневот нивни, оти е жесток, и лутината нивна, зашто е свирепа; ке ги разделам во Јакова, и ке ги растурам во Израилот.
8. Јудо! Тебе ке те фалат браката твои, и рацете секогаш ке ти бидат врз плеките на непријателите твои; и тебе ке ти се клањаат синовите на таткото твој.
9. Јудо, лаве мој мал! Од грабеж се издигаш, сине мој. Се наведнуваш и легуваш како лав и лавица. Кој смее да те разбуди?
10. Нема да недостасува кнез од Јуда, и водач од бедрата негови, се дури не дојде Оној, Кому му припа а власта, и Он е надеж на народите.
11. Тој го врзува за лоза оселот свој, и прлето на неговата ослица за дебела прачка,; во вино ја пере облеката своја, а во крв од грозје облеклото свое;
12. очите му се повесели од вино и забите му се побели од млеко.
13. Завулон ке живее покрај море и при морско пристаниште, а границата ке му биде до Сидон;
14. Исахар го засака доброто, почивајки ме у огради;
15. па, откако виде дека почивката е добра и дека е земјата плодна, ги сви рамењата свои под трудот и стана земјоделец.
16. Дан ке му суди на својот народ, како и на секое племе Израилево.
17. Дан нека биде змија на пат што седи на раскрсница, која, штом го каснува коњот за нога, јавачот негов па а назад.
18. чекајки спасение од Господа.
19. А Гад, него незгоди ке го снајдат, но тој, одејки им по трагите, ке ги совлада.
20. Кај Асира ке има храна во изобилие, тој ке им дава храна на кнезовите.
21. Нефталим е како стебло разгрането, што развило убави гранки.
22. Јосиф е син мој издигнат, син ревносен, син мој најмлад, свртен кон мене!
23. Иако здоговорено те навредуваа, огорчуваа луто и иако силните ги управуваа стрелите во тебе,
24. се сотреа со сила нивните лакови и ослабнаа мускулите на рацете нивни од силната рака на Јакова: така Израилот, таткото твој ојакна од Бога.
25. И ти помогна мојот Бог и те благослови со благослов одозгора од небото, и со благослов од земјата, со благослов од сите гради, од сите утроби.
26. Благословите на таткото твој и на мајката твоја ги надминаа благословите на старите планини и благословите на вечните ридови; тие нека се спуштат над главата Јосифова, избраниот ме у браката, над кои господареше.
27. Венијамин е волк граблив, наутро јаде лов, а навечер го дели пленот.'
28. Тоа се дванаесетте синови Јаковови, и тоа им го изговори таткото нивни, ги благослови: секого со благословот негов ги благослови.
29. Потоа им рече: 'Јас се прибирам при родот свој, погребете ме при татковците мои, во пештерата што е во нивата на Хетеецот Ефрон.
30. Во пештерата, што се нао а во нивата Макпелска спроти Мамре, во земјата Хананска, која ја

беше купил Авраам од Хетеецот Ефрон, за да има своја гробница.
31. Таму ги пограбаа Авраама и жената негова Сара, таму го погребаа и Исака и Ревека, жената негова, а таму ја погребаа и Лија;
32. во сопствената нива и пештерата, што е во неа, која е купена од синовите Хетееви.'
33. И престана Јаков да им говори на синовите свои, го повлече нозете во постелата, па умре - и се прибра кај предците свои.

Глава 50

1. Тогаш Јосиф падна врз лицето од таткото свој, плака над него, и го целива.
2. И им заповеда Јосиф на гробарите, кои беа во негова служба, да го погребат таткото негов; и гробарите го погребаа Израилот.
3. И изминаа четириесет дена, зашто така се бројат деновите погребни, и го оплакуваше седумдесет дена.
4. Штом изминаа деновите на жалоста, им рече Јосиф на големците Фараонови, велејки: 'Ако сум нашол милост пред вашите очи, зборувајте со Фараонот и речете му:
5. ‘Таткото мој ме заколна пред да умре и ми рече: - Во гробот мој, што го ископав во земјата хананска, таму да ме погребеш.‘ - Па сега би сакал да одам и да го погребам таткото мој, а потоа ке се вратам.' И му рекоа на Фараонот според зборовоте Јосифови.
6. А Фараонот му рече на Јосифа: 'Оди и погреби го таткото твој, штом те заколнал.'
7. Потоа отиде Јосиф да го погребе таткото свој. А со него појдоа и сите слуги Фараонови, старешини од земјата египетска,
8. и целиот дом Јосифов и браката негови, и целиот дом на таткото негов и роднините негови. Овците и говедата ги оставија во земјата Гесем.
9. Со него тргнаа, исто така, коли и коњаници, толку многу, што претставуваа голема погребна придружба.
10. А кога дојдоа во Горни Хатад, кој е од онаа страна на Јордан, заплакаа таму многу силно и жално. И Јосиф го оплакуваше својот татко седум дена.
11. А лу ето од онаа земја хананска кога видоа плачење во Горни Хатад, рекоа: 'Голема жалост имаат Египтјаните.' Затоа тоа место го нарекоа 'Абел Мисраим', односно, плач египетски: што е отаде Јордан.
12. И му направија синовите негови онака, како што им беше заповедал;
13. го однесоа синовите негови во земјата Хананска, и го погребаа во пештерата на нивата Макпела, што беше ја купил Авраам од Хетеецот Ефрон, спроти Мамре, за да има гробница.
14. А Јосиф се врати во Египет, - тој и браката негови, и сите, кои беа на погребението на неговиот татко.
15. Кога видоа браката Јосифови дека нивниот татко умре, си рекоа; 'Да не би да си спомни Јосиф за нашата омраза, па да ни одмазди за сето зло, што му го направивме!'
16. Затоа дојдоа и му рекоа на Јосифа: 'Татко ти остави клетва пред да умре и рече -
17. ‘Вака кажете му на Јосифа: Прости им ја на браката твои неправдата и гревот нивни, што ти го направија.‘ И ете, сега прости им го гревот на слугите на татковиот Бог.' А Јосиф заплака, кога му го рекоа тоа.
18. Потоа дојдоа пред него и рекоа: 'Еве, ние сме слуги твои.'
19. Јосиф им рече: 'Не плашете се, бидејки јас сум по Бога.
20. Вие помисливте лошо за мене, но Бог тоа го обрна во добро, за да се изврши она, што денес се случува: да се прехранат многу лу е.'
21. И им рече: 'Не плашете се, јас ке ве прехранам вас и вашите домови.' Така ги утеши, зборувајки угодно.
22. И продолжи да живее Јосиф во Египет, самиот тој и браката негови и целиот дом на таткото негов: поживе сто и десет години.
23. И ги виде Јосиф синовите Ефремови до третото колено; а и синовите на Махир, синот Манасиев, што се родија на колената Јосифови.
24. Тогаш им рече на браката свои, велејки: 'Јас ке умрам; но Бог вас секако ке ве посети и ке ве изведе од оваа земја во земјата, за која им се заколнал Бог на нашите татковци - на Авраама, на Исака и на Јакова.'
25. Па ги заколна Јосиф синовите Израилеви и им рече: 'Кога Бог ке ве посети вас, вие тогаш понесете ги коските мои одовде со вас!'
26. Потоа умре Јосиф кога имаше сто и десет години. И, го погребаа, го положија во ковчег во

Египет.

Излез

Глава 1

1. А овие се имињата на синовите Израилеви, кои дојдоа во Египет со Јакова, таткото нивни; секој со целото свое семејство дојде.
2. Рувим, Симеон, Левиј и Јуда,
3. Исахар, Завулон и Венијамин,
4. Дан и Нефталим, Гад и Асир. А Јосиф, пак, беше во Египет.
5. И сите, кои произлегоа од Јакова, беа седумдесет и пет души.
6. Потоа Јосиф умре и сите браша негови, и сиот нивни род;
7. а синовите Израилеви се народија и се намножија, и беа многу, и се засилија многу, така што земјата се наполни со нив.
8. Тогаш во Египет се зацари нов цар, кој не знаеше за Јосифа,
9. и му рече на народот свој: 'Еве, народот на синовите Израилеви е многуброен и посилен од нас.
10. Па ајде да ги надмудриме за да не се размножуваат; и, ако настане војна, да не се здружат со непријателите наши и да удрат на нас, па да не си отидат од земјата наша.'
11. И поставија над нив надзорници над работите за да ги мачат со работа. Така му ги изградија на Фараонот утврдените градови Питом и Рамзес и Он, наречен сега Илиопол.
12. Но, колку повеке ги мачеа, толку повеке се множеа, и се засилуваа многу, така што се плашеа Египтјаните од синовите Израилеви.
13. Затоа Египтјаните ги гонеа синивите Израилеви со жестокост,
14. и им го загорчуваа животот со тешки работи, со кал и правење тули, и со секаква работа во полињата, и со сите други работи, ги измачуваа немилосрдно.
15. Освен тоа, царот египетски им се обрати на бабиците еврејски, од кои на едната и‘ беше името Сепфора, а на другата Фуа;
16. и им рече: 'Кога ке бабувате кај Еврејките, и при породувањето, ако видите дека е машко, убијте го, а ако биде женско, запазете го!'
17. Но бабиците се плашеа од Бога и не правеа така, како што им заповеда царот египетски, туку ги оставаа децата од машки пол.
18. А царот египетски ги повика бабиците и им рече: 'Зошто правите така и ги оставата машките деца во живот?'
19. А бабиците му одговорија на Фараонот: 'Еврејките не се како жените египетски: зашто пред да дојде бабицата, тие веке родиле.'
20. Бог, пак, им превеше на бабиците добро; а народот се множеше и многу се засилуваше.
21. И бидејки бабиците се плашеа од Бога, Бог им правеше добро за да преуспеваат во животот.
22. Тогаш му заповеда Фараонот на целиот народ свој, велејки: 'Секое машко кое ке се роди кај Евреите, фрлете го в река: само женските деца оставајте ги во живот.'

Глава 2

1. Еден човек од племето Левиево отиде и се ожени со една од керките Левиеви.
2. Жената зачна и роди машко дете; па кога виде дека е многу убаво, го криеше три месеци.
3. Но, кога не можеше повеке да го крие, мајката зеде кошниче од трски; го облепи со смола и катран; и, откако го стави детето во него, го однесе во трската крај реката.
4. А сестрата негова застана подалеку, за да гледа што ке стане со него.
5. Керката, пак, Фараонова слезе до реката, за да се капе, а и нејзините слугинки одеа покрај реката. И таа го забележа кошничето во трската, па испрати една од слугинките свои, да го донесе.
6. А кога го отвори, виде дете; и тогаш детето заплака. Таа се смили над него и рече: 'Ова е еврејско дете.'
7. Тогаш сестрата негова иʻ рече на керката Фараонова: 'Сакаш ли да одам да викнам доилка Еврејка, да ти го дои детето?'
8. А керката Фараонова иʻ рече: 'Оди!' И девојчето отиде, и ја викна мајката на детето.
9. Керката Фараонова иʻ рече: 'Чувај го ова дете, и доj ми го; а јас ке ти платам.' И го зеде жената детето и го доеше.
10. А кога детето порасна, го одведе кај керката Фараонова, и таа го посини. И му стави име Мојсеј, велејки, 'оти од вода го извадив.'
11. По многу време, кога Мојсеј стана возрасен, отиде ме у браката свои, синовите Израилеви, и ја виде маката нивна. И забележа како еден Египтјанин бие Евреин - еден од браката негови.
12. Се обѕрна на сите страни, и, кога виде дека нема никој, го уби Египтјанинот и го закопа во песокта.
13. Утредента излезе пак и виде двајца мажи Евреи како се тепаат и му рече на оној, кој беше виновен: 'Зошто го биеш ближниот свој?'
14. А тој одговори: 'Кој те постави тебе за старешина и судија над нас? Да не сакаш и мене да ме убиеш, како што го уби Египтјанинот?' Тогаш Мојсеј се уплаши и рече: 'Значи, се разбрало за ова?'
15. И Фараонот беше чул за ова, па сакаше да го погуби Мојсеја. Но Мојсеј избега од Фараонот и се насели во земјата Мадијамска. Кога дојде во земјата Мадијамска, седна крај еден извор.
16. А свештеникот Мадијамски, пак, имаше седум керки, кои ги пасеа овците на татка си Јотор. И тие дојдоа и почнаа да земаат вода додека не ги наполнија поилата, за да го напојат стадото на таткото свој Јотор.
17. Но дојдоа овчари, и ги истераа, а Мојсеј стана и ги одбрани, им налеа вода и им го напои стадото.
18. И тие се вратија кај таткото свој Јотор, а тој ги праша: 'Како толку бргу се вративте денес?'
19. Тие одговорија: 'Еден Египтјанин неʻ одбрани од овчарите, дури ни извади вода и ни ги напои овците наши.'
20. А тој им рече на керките свои: 'Па, каде е? Зошто сте го оставиле така тој човек? Поканете го да јаде леб!'
21. И Мојсеј реши да живее кај тој човек, а тој му ја даде на Мојсеја за жена керката своја Сепфора.
22. И таа зачна и роди син, и Мојсеј му стави име Гирсам, 'бидејки сум - рече - придојден во ту а земја.' И пак зачна и роди втор син, и му стави име Елиезер, велејки: 'Бог на мојот татко ми е Помошник и ме избави од рацете Фараонови.'
23. А по многу време умре царот египетски. А синовите Израилеви уште офкаа од маките и викаа; и пискотот нивни од тешките работи дојде до Бога.
24. И бог го чу офкањето нивно, и се сети Бог на заветот Свој со Авраама, Исака и Јакова.
25. И погледна Бог на синовите Израилеви, и се смили над нив.

Глава 3

1. Мојсеј го пасеше стадото на Јатора, тестот свој, свештеникот Мадијамски. Терајки го стадото така преку пустиња, дојде до планината Божја Хорив,
2. И му се јави Ангел Господеов во огнен пламен во капина. И виде тој, а тоа капината гори со оган, а не изгорува.
3. И Мојсеј рече: 'Да појдам да го видам ова чудо, зашто капината не изгорува.'
4. А кога виде Господ дека тој доа а да види, извика Господ од капината и рече: 'Мојсеј, Мојсеј!' А тој одговори: 'Еве ме, Господи!'
5. И Он рече: 'Не прио ај ваму. Собуј ги овубките твои од нозете, зашто ова место, на кое стоиш, е света земја.'
6. И му рече: 'Јас сум Бог на таткото твој, Бог Авраамов, Бог Исаков и Бог Јаковов.' А Мојсеј го сврти лицето свое, зашто се плашеше да погледа во Бога.
7. И Господ му рече на Мојсеја: 'Ги видов страдањата на народот Мој во Египет, и го чув пискотот негов од злото, што му го прават надзорниците. Сега ја знам маката негова.
8. Па слегов да го избавам од рацете египетски, и да го изведам од таа земја и да го воведам во земја добра и пространа, во земја, каде што тече мед и млеко, во крајот на Хананејците, Хетејците, Аморејците, Ферезејците, Гергесејците и Јевусејците.
9. И еве, сега викотот на синовите Израилеви стигна веке до Мене, и Јас го видов гнетот, со кој ги мачат Египтјаните.
10. А сега појди - Јас те испракам кај Фараонот, царот египетски, за да го изведеш од Египет народот Мој, синовите Израилеви.'
11. Мојсеј, пак, Му проговори на Бога: 'Кој сум јас, та да одам кај Фараонот, царот египетски, и да ги изведам синовите Израилеви од земјата египетска?'
12. Му рече Бог на Мојсеја, велејки: 'Ке бидам со тебе, и ова нека ти биде знак, дека Јас сум те испратил: Кога ке го изведеш народот Мој од Египет, помолете Му се на Бога на оваа планина.'
13. А Мојсеј Му рече на Бога: 'Еве, ке појдам кај синовите Израилеви и ке им речам: 'Бог на татковците ваши ме испрака кај вас.' И ако тие ме прашаат: 'како Му е името', што ке им речам тогаш?'
14. Бог му одговори на Мојсеја, велејки: 'Јас сим Оној, Кој вечно постои!' Па продолжи: 'Така ке им кажеш на синовите Израилеви: 'Оној, Кој вечно постои, ме испрати кај вас.'
15. И пак му рече Бог на Мојсеја: 'Вака кажи им на синовите Израилеви: 'Господ Бог на татковците наши, Бог Авраамов, Бог Исаков и Бог Јаковов ме испрати кај вас. Ете тоа е името Мое вечно, и тоа е споменот за Мене од колено на колено.'
16. Оди и собери ги старешините Израилеви, и кажи им: 'Господ, Бог на татковците ваши, ми се јави, Бог Авраамов, Бог Исаков и Бог Јаковов, и ми рече: 'Ве посетив и видов што ви се прави во Египет.'
17. И реков уште: 'Ке ве изведам од маките египетски во земјата Хананска, и Хетејска, и Аморејска, и Ферезејска, и Евејска, и Јевусејска, во земја каде што тече мед и млеко!'
18. И тие ке го послушаат гласот твој; а ке отидеш ти и старешините Израилеви кај Фараонот, царот египетски, и ке му речеш: 'Господ, Бог на Евреите, не' повика да појдеме на три дена пат во пустињата, за да Му принесеме жртва на Господа, нашиот Бог.'
19. А Јас знам дека Фараонот, царот египетски, нема да ви дозволи да излезете без силна рака.
20. Но ке ја пружам раката Своја, и ке ги поразам Египтјаните со сите Мои чудеса, што ке ги направам ме е нив; потоа ке ве пушти.
21. И ке му дадам милост на овој народ кај Египтјаните, така што, кога ке појдете, нема да појдете празни.
22. Туку секоја жена нека побара од сосетката своја и од пријателката своја сребрен и златен накит и облека; и ке ги украсите со нив синовите ваши и керките ваши, и така ке ги плените Египтјанките.'

Глава 4

1. Тогаш Мојсеј одговори и рече: 'А ако не ми поверуваат и не го послушаат гласот мој, туку ми речат - ‘Не ти се јавил Гопод?‘ - Што ке им речам?'
2. А господ му рече: 'Што ти е тоа во раката?' А тој одговори: 'Стап.'
3. И му рече: 'Фрли го на земја!' И го фрли на земја, а тој стана змија. И Мојсеј избега од неа.
4. А Господ му рече на Мојсеја: 'Испружи ја раката своја, па фати ја за опашката.' И ја испружи раката и ја фати за опашката, и пак стана стап во раката негова.
5. 'Така ке поверуваат, оти ти се јавил Господ, Бог на татковците твои, Бог Авраамов, Бог Исаков и Бог Јаковов.'
6. И пак му рече Господ: 'Стави ја сега раката свој во пазувата своја!' И тој ја стави раката своја во пазувата своја; а кога ја извади, а тоа раката му побелела од лепра, како снег.
7. И пак му рече Господ: 'Стави ја пак раката своја во пазувата своја!' И пак ја стави раката своја во пазувата своја; а кога ја извади од пазувата, таа пак станала, како што му беше целото тело негово.
8. 'Па, ако не ти поверуваат и не го послушаат гласот твој при првиот знак, ке ти поверуваат при вториот знак.
9. А ако не поверуваат ни на двата знака и не го послушаат гласот твој, а ти тогаш земи вода од реката, и истури ја на суво; и водата, земена од реката, ке се претвори во крв на земјата.'
10. А Мојсеј Му рече на Господа: 'О, Господи, Те молам, не сум доброречив човек; ни порано сум бил, ниту вчера, ни завчера, па ни сега, откако проговори Ти со слугата Твој, бидејки немам добра глас и тепкам, тешко зборувам.'
11. А Господ му рече на Мојсеја: 'Кој му дал уста на човекот? Кој го прави нем, или глув, да гледа, или да е слеп? Зар не Јас ли, Господ Бог?
12. Па сега, оди, и Јас ке ти ја отворам устата твоја, и ке те научам, што ке зборуваш.'
13. Но Мојсеј пак рече: 'Те молам, Господи, избери друг, што ке го испратиш.'
14. И се разгневи Господ на Мојсеја, и рече: 'Не ли ти е брат Арон Левитот? Знам дека е способен и тој ке зборува наместо тебе; и еве тој ке те сретне, и, кога ке те види, ке се зарадува во себе.
15. Нему ке му кажеш и ке ги ставиш Моиве зборови во устата негова, и Јас ке ти ја отворам устата твоја и устата негова и ке ви покажам што да правите.
16. И тој место тебе ке му зборува на народот; и така тој ке ти биде тебе уста, а ти ке му бидеш нему место Бога.
17. А тој стап што беше претворен во змија, земи го во својата рака. Со него ке правиш чуда.'
18. Тогаш отиде Мојсеј и се врати при Јотора, тестот свој, и му рече: 'Ќе појдам и ке се вратам кај браката мои во Египет, да видам дали се уште живи.' И му рече Јотор на Мојсеја: 'Оди со здравје!' По оние многу денови умре царот египетски.
19. И му рече Господ на Мојсеја во земјата Мадијамска: 'Оди, врати се во Египет, зашто изумреа сите, што ја бараа душата твоја.'
20. Тогаш ја зеде Мојсеј жената своја и децата свои, и ги качи на осли, и се врати во Египет. А стапот Божји го зеде Мојсеј во раката своја.
21. И му рече Господ на Мојсеја: 'Кога ке отидеш и се вратиш во Египет, гледај да ги направиш пред Фараонот сите чудеса, за кои ти дадов мок во рацете твои. А Јас, пак, ке го ожесточам срцето негови, да не го пушти народот.
22. А ти кажи му на Фараонот: ‘Вака вели Господ Бог еврејски: Израил е Мојот првороден син.‘
23. ‘Ти реков да го пуштиш народот Мој да ми послужи. Ако одбиеш да го пуштиш, внимавај Јас ке ги убијам твојот првороден син.‘'
24. И кога патем нокеваше, го сретна Ангел Господов и сакаше да го убие.
25. Тогаш Сепфора зеде остар камен, и го обреза крајот од телото на својот син, и клекна пред нозете на Мојсеја и рече: 'Ете ја крвта од обрезанието на мојот син!'
26. Тогаш Ангелот отиде од него; а таа рече: 'Поради обрезанието застана крвта на синот мој.'

27. А Господ му рече на Арона: 'Излези во пуситњата и отиди да го сретнеш Мојсеја!' И отиде да го сретне на планината Божја, и се целиваа обајцата.
28. Мојсеј, пак, му ги кажа на Арона сите зборови Господови, Кој го испрати, и сите знаци, што му ги беше заповедал.
29. И отидоа Мојсеј и Арон и ги собраа сите старешини и синовите Израилеви.
30. А Арон им ги кажа сите збороди, што му ги беше кажал Господ на Мојсеја, а Мојсеј ги изврши сите знаци пред народот.
31. Народот поверува и се израдуваа зашто Господ Бог ги посети синовите Израилеви и погледна на маката нивна, па паднаа на колена и се поклонија.

Глава 5

1. А потоа влегоа Мојсеј и Арон кај Фараонот, па му рекоа: 'Вака вели Господ, Бог Израилев - ‘Пушти го народот Мој, да празнува празник во Моја чест во пустињата.‘'
2. Но Фараонот рече: 'Кој е, за да Го послушам гласот Негов, и да ги пуштам синовите Израилеви? Не Го познавам Господа, ниту ке го пуштам Израилот.'
3. А тие рекоа: 'Бог на Евреите не‘ повика нас три дена пат да одиме во пустињата, за да Му принесеме жртва на Господа, нашиот Бог, та да не испрати Он на нас смрт или убиство.'
4. Тогаш царот египетски им рече: 'Зошто вие, Мојсеј и Ароне, го одвлекувате народот од работата негова? Одете си секој од вас по своја работа!'
5. И Фараонот уште додаде: 'Ете, сега се намножи народот во земјата, но нема да му дадеме почивка од работите.'
6. И им заповеда Фараонот на надзорниците за работа над народот и на настојниците негови, и рече:
7. 'Отсега на народот нема да му давате плева за правење тули, како досега: туку сами нека одат да си собираат плева.
8. А колку тули досега правеле, настојувајте толку да правет и отсега: ништо не намалувајте; оти се без работа, па затоа викаат и велат - ‘Да одиме и да Му принесеме жртва на нашиот Бог.‘
9. Нека им се зголеми работата на тие лу е; тогаш ке се грижат за тоа и нема да слушаат празни зборови.'
10. И ги принудија нив надзорниците и настојниците, и му рекоа на народот: 'Вака вели Фараонот: нема да ви даваме веке плева;
11. одете сами и собирајте си плева, каде што ке најдете; а од работата нема ништо да ви се намали.'
12. И се разотиде народот по целата земја Египетска за да собира стрника наместо плева.
13. А надзорниците навалуваа, велејки: 'Вршете ги определените работи ваши секој ден, како и порано кога имавте плева.'
14. И настојниците од родот на синовите Израилеви, кои ги поставија над нив надзорниците на Фараонот, беа биени и им се велеше: 'Зошто и денес не изработивте толку тули, колку што ви е определено, како што правевте и порано?'
15. И отидоа настојниците на синовите Израилеви пред Фараонот, па извикаа и рекоа: 'Зошто постапуваш така со слугите твои?
16. Плева не им се дава на слугите твои, а пак ни се вели: ‘Правете тули. И ете, ги бијат слугите твои. Го онеправдуваат твојот народ.'
17. Но тој им одговори: 'Седите без работа, не работите, па затоа велите: ‘Да одиме да Му принесеме жртва на нашиот Бог.‘
18. Затоа сега одете, работете; плева нема да ви се дава, а тули ке предавате во определен број.'
19. И насотјниците на синовите Израилеви се видоа во зло, оти им се рече: ‘Дневната количина на тулите не смеете да ја намалите.‘
20. А кога излегоа од Фараонот, ги сретнаа Мојсеја и Арона, кои идеа во пресрет.
21. Па им рекоа: 'Бог нека види и нека ви суди што не‘ намразивте кај Фараонот и службениците негови, и им дадовте меч во радете, за да не‘ убиваат!'
22. Тогаш Мојсеј се обрна кон Господа и рече: 'Господи, Ти се молам, Господи, зошто го воведе во невола овој народ и зошто ме испрати мене?
23. Оти, откако излегов пред Фараонот и проговорив во Твое име, тој уште полошо постапува со овој народ; и Ти не го избави народот Свој.'

Глава 6

1. А Господ Бог му рече на Мојсеја: 'Еве, ке видиш што ке му направам на Фараонот; со рака силна ке ги пушти; под дејство на рака цврста дури ке ги истера од земјата своја.'
2. И уште му зборуваше Бог на Мојсеја, па му рече: 'Јас сум Господ.
3. Јас му се јавив на Аврама и Исака и Јакова како 'Семокен Бог', а со името Мое како 'Господ' не сум им се открил.
4. И направив завет Свој со нив, дека ке им ја дадам земјата Хананска: земја, во која беа ти придојдени, и во која живееја како ту инци.
5. Ги чув воздишките на синовите Израилеви, кои Египтјаните ги измачуваат, и се сетив на заветот Мој.
6. Затоа, појди и кажи им на синовите Израилеви, велејки: 'Јас сум Господ, ке ве изведам од египетското насилство, ке ве избавам од ропството нивно, ке ве спасам вас удирајки со силна рака и со суд голем.
7. Ке ве земам за свој народ, ке ви бидам Бог, па ке познаете дека Јас сум Господ, Бог ваш, Кој ке ве изведе од Египетската земја.
8. И ке ве воведам во онаа земја, за која кренав рака и се заколнав дека ке му ја дадам на Авраама, на Исака и на Јакова; и ке ви ја дадам вам во наследство. Јас Господ!'
9. Мојсеј им го кажа тоа на синовите Израилеви, но тие не го послушаа Мојсеја од малодушност и поради тешките работи.
10. Тогаш Господ пак му рече на Мојсеја, велејки:
11. 'Влези, кажи му на Фараонот, царот египетски, да ги пушти синовите Израилеви од земјата своја.'
12. А Мојсеј проговори пред Господа и рече: 'Ете, синовите Израилеви не ме послушаа, а како ке ме послуша Фараонот? А освен тоа, јас сум спор во зборувањето.'
13. Но Господ им зборуваше на Мојсеја и Арона, и ги задолжи да одат кај синовите Израилеви и кај Фараонот, за да ги пушти синовите Израилеви од земјата Египетска.
14. Ова се старешините на нивните домови: синовите на Рувима, провородениот син Израилев: Енох и Фалус, Асрон и Харми; тоа е племето Рувимово.
15. А синовите Симеонови се: Јемуил, Јамин, Аод, Ахин, Сар и Саул, син на една Хананејка; тоа е племето Сименово.
16. А еве ги имињата на синовите Левиеви, според сродствата нивни: Гирсон, Каат и Мерари. А Левиј поживе сто и триесет и седум години.
17. Синови, пак, Гирсонови беа: Ловениј и Семеј со семејствата нивни.
18. Синови Каатови: Амрам и Исар, Хеврон и Озил. А годините на Катовиот живот беа сто и триесет и три.
19. А синовите Мерариеви се: Молиј и Мусиј. Тоа се семејствата на Левиј според сродствата нивни.
20. Амрам се ожени со Јохаведа, братучетката своја, и таа му ги роди Арона и Мојсеја и Маријам, сестрата нивна. Амрам поживе сто триесет и седум години.
21. Синови, пак, Исарови беа: Кореј, Нафек и Зехриј.
22. Синовите Озилови се: Мисаил, Елисафан и Сегриј.
23. А Арон ја зеде за жена Елисавета, керката Аминадавова, сестра Насонова; и таа му ги роди Надава и Авиуда, Елеазара и Ирамара.
24. Синови Корееве беа: Асир, Елкан и Авијасаф. Тоа е потомството Кореево.
25. И Елеазар, синот Аронов, се ожени со една од керките Футилови, и таа му го роди Финеса. Тоа се старешините на Левиевото племе, според нивните семејства.
26. А Арон и Мојсеј, тоа се оние, на кои Господ им рече да ги изведат синовите Израилеви од земјата Египетска, си силата на дружините нивни!
27. Овие се оние, кои му зборуваа на Фаранонот, царот египетски, за да ги изведат синовите Израилеви од земјата Египеска; тоа се Арон и Мојсеј.

28. Во оној ден, кога Господ му говореше на Мојсеја во земјата Египетска,
29. и му рече Господ на Мојсеја, велејки: 'Јас сум Господ. Кажи му го на Фараонот, царот египетски, се‘ она што Јас ти го реков!'
30. А Мојсеј рече пред Господа: 'Еве, недоброречив сум, па како ке ме послуша Фараонот?'

Глава 7

1. И Господ му рече на Мојсеја, велејки: 'Ете, Јас те поставив да му беидеш Бог на Фараонот; а Арон, братот твој, ке ти биде пророк твој.
2. Ти ке му зборуваш се‘, што тебе ке ти заповедам, а Арон, пак, братот твој, ке му зборува на Фараонот да ти ги пушти синовите Израилеви ос земјата своја.
3. Само Јас ке го ожесточам срцето на Фараонот, и ке ги умножам знаците Мои и чудесата Мои во земјата Египетска.
4. Фараонот сепак нема да ве послуша. Но Јас ке ја ставам раката Своја над Египет и со силата Моја ке го изведам народот Мој, синовите Израилеви, од земјата египетска со страшна одмазда.
5. И ке познаат сите Египтјани дека Јас сум Господ, кога ја протегам раката Своја над Египет и кога ке ги изведа синовите Израилеви од нивната средина.'
6. И направија така Мојсеј и Арон; како што им заповеда Господ, така направија.
7. Мојсеј имаше осумдесет години, а Арон, братот негов осумдесет и три години кога зборуваа со Фараонот.
8. Им рече Господ на Мојсеја и на Арона, велејки:
9. 'А ако Фараонот ви каже и рече: 'Направете некакво чудо или дајте знак - тогаш кажи му на Арона, братот твој: ‘Земи го стапот и фрли го наземи пред Фараонот и неговите слуги‘ - тој ке стане змија.'
10. Потоа Мојсеј и Арон влегоа кај Фараонот и слугите негови и направија така, како што им заповеда Господ. И го фрли Арон стапот свој пред Фараонот и пред слугите негови, и тој стана змија.
11. Тогаш Фараонот ги повика мудреците египетски и врачевите; и тие направија исто со своето вражање.
12. И секој од нив го фрли својот стап и тие станаа змии; само стапот Аронов ги проголта нивните стапови.
13. Но срцето Фараоново се стврдна и не ги послуша нив, како што им беше рекол Господ.
14. И му рече Господ на Мојсеја: 'Кораво е срцето Фараоново; и нема да го пушти народот.
15. Појди утре при Фараонот. И ете, тој ке излезе до водата, и пресретни го на речниот брег; стапот, пак, што се претвори во змија, земи го во раката своја.
16. И речи му: ‘Господ, Бог на Евреите, ме испрати кај тебе да ти кажам: ‘Пушти го народот Мој за да ми изврши служба во пустињата!‘ Ни ти, ете, досега не Го послуша.
17. Затоа Господ вели: ‘По ова ке познаеш, дека Јас сум Господ.‘ Еве, со стапов, што ми е во раката, ке удрам по водата, која е во реката, и таа ке стане крв.
18. И рибите што се во реката ке изумрат, и реката ке се смириса, а Египтјаните не ке можат да пијат вода од реката.'
19. Му рече Господ на Мојсеја - 'Кажи му на Арона братот твој: ‘Земи го стапот свој во раката твоја, и пружи ја раката своја над водите египетски: над реките нивни, и над езерата нивни и над сите нивни собиралишта на води; и тие ке се претворат во крв. И се‘ ке стане крв по целата земја египетска, и по дрвјата и по камењата.'
20. Направија Мојсеј и Арон така, како што заповеда Господ. И го зеде Арон стапот свој, па удри по речнате вода пред очите на Фараонот и слугите негови. И сета вода речна се претвори во крв.
21. И изумреа рибите, што беа во реката, и се смириса реката, така што Египтјаните не можеа да пијат вода од реката; и крв имаше по целата земја египетска.
22. Но и врачевите египетски го направија истото со своето вражање. И срцето на Фараонот се ожесточи и тој не ги послуша нив, како што им беше рекол Господ.
23. Потоа се сврте Фараонот и се отиде во домот свој; и ни од тоа не се поучи тој.
24. А Египтјаните, сите, почнаа да копаат околу реката, барајки вода за пиење; зашто не можеа да пијат вода од реката.

25. И така изминаа седум дена, откако ја удри Господ реката.

Глава 8

1. Потоа Господ пак му рече на Мојсеја: 'Оди при Фараонот, и речи му - вака вели Господ: ‘Пушти го народот Мој, да му изврши служба.‘
2. А ако не се согласиш да го пуштиш, еве, Јас ке ја поразам целата земја твоја со жаби;
3. и реката ке се исполни со многу жаби, и тие ке излезат и ке влезат кај тебе дома, и во твојата спална, и во постелата твоја, и во куката на слугите твои и народот твој, и во печките твои, и во ноквите твои;
4. а врз тебе ке скокаат жаби и врз народот твој и врз слугите твои.'
5. И му рече Господ на Мојсеја: 'Кажи му на Арона, братот твој: ‘Пружи ја раката Твоја со стапот свој врз реките, врз изворите и врз езерата, и направи жаби да излезат по земјата Египетска.'
6. И ја пружи Арон раката своја врз водите египетски, и произлегоа жаби; и ја покрија земјата Египетска;
7. Но и врачевите египетски го направија истото со своето вражање, па изведоа жаби по земјата Египетска.
8. Тогаш Фараонот ги повика Мојсеја и Арона и им рече: 'Помолете Му се на Господа за мене, да ги отстрани жабите од мене и од народот мој, и јас ке го пуштам народот да Му принесе жртва на Господа.'
9. А Мојсеј му рече на Фараонот: 'Определи кога сакаш да Му се помолам за тебе, за слугите твои и за твојот народ, за да се отстранат жабите од тебе и од народот твој и од куките ваши, а само во реката да останат.'
10. И определи: 'Утре'. А Мојсеј рече: 'Нека биде како што рече ти, за да познаеш дека нема друг освен Господа, нашиот Бог.
11. Ќе отидат жабите од тебе, од куките ваши, од дворовите на слугите твои и од народот твој; само во реката ке останат.'
12. Потоа Мојсеј и Арон излегоа од кај Фараонот. И Мојсеј Му се помоли на Господа за разграничување на жабите, како што беше се договорил со Фараонот.
13. И Господ направи како што измоли Мојсеј: жабите изгинаа по куките, по дворовите и по нивите нивни.
14. И ги собраа на купишта, така што земјата засмрде.
15. А кога Фараонот виде дека злото помина, му отврдна срцето, и не ги послуша нив, како што беше рекол Господ.
16. Тогаш Господ му рече на Мојсеја - 'Кажи му на Арона: ‘Пружи го со рака стапот свој, и удри по правот на земјата -‘ и ке се појават мушички по целата земја Египетска.'
17. Арон го пружи со раката стапот свој, и удри по правот на земјата, и се појавија мушички по лу ето и по доборокот, сиот песок на земјата се претвори во мушички по целата земја Египетска.
18. Сеобидоа и вражачите египетски со вражањето свое да призведат мушички, но не можеа. И имаше мушички по лу ето и по добитокот.
19. И му рекоа вражачите на Фараонот: 'Ова е знак Божји!' Но срцето на Фаронотпак се стврдна, и не ги послуша, како што беше рекол Господ.
20. И му рече Господ на Мојсеја: 'Стани утре и застани пред Фараонот. Тогаш тој ке излезе кај реката, па кажи му: ‘Вака вели Господ: Пушти го народот Мој, да Ми послужи.‘
21. А ако не сакаш да го пуштиш народот Мој, еве, Јас ке пуштам врз тебе и врз слугите твои, и врз народот твој и во домовите ваши бубачки, и ке се исполнат со бубачки куките египетски, и земјата на која се.
22. А во оној ден ке ја одделам земјата Гесем, каде што живее Мојот народ, и таму нема да има бубачки, за да познаеш, дека Јас сум Господ Бог на целата земја.
23. И ке направам разлика ме у народот Мој и народот твој. Утре ке го има тој знак на земјата.'
24. И направи Господ така: и се појавија многу бубачки во куките Фараонови, во куките на слугите негови и во целата земја Египетска, така што се сотре земјата од бубачките.

25. Фараонот ги повика Мојсеја и Арона, и им рече: 'Отидете, принесете Му жртва на вашиот Господ Бог во оваа земја!'
26. Но Мојсеј рече: 'Не е можно така да биде, зашто принесувањеот жртва на Господа, нашиот Бог, е нечисто за Египтјаните, пред нивните очи, тие нема ли да не‘ убијат со камења?
27. Три дена пат ке одиме во пустињата, па да Му принесеме жртва на Господа, нашиот Бог, како што ни рече нашиот Господ.'
28. И одговори Фараонот: 'Ќе ве пуштам да Му принесете жртва на Господа, вашиот Бог, во пустињата; но не одете подалеку, и помолете се на Господа и за мене!'
29. А Мојсеј рече: 'Еве, јас одам од тебе и ке Му се помолам на Господа Бога, и бубачките утре ке исчезнат од тебе и од слугите твои, а и од народот твој. Но престани, Фараоне, да не‘ мамиш, не пуштајки го народот да Му принесе жртва на Господа.
30. И отиде Мојсеј од Фараонот, и Му се помоли на Господа.
31. И Господ направи како што измоли Мојсеј, и си отидоа бубачките од Фараонот, и од слугите негови, и од народот; и не остана ниедна.
32. Но пак зарврдна срцето Фараоново, и пак не го пушти народот.

Глава 9

1. Тогаш му рече Господ на Мојсеја: 'Влези при Фараонот и кажи му: ‘Вака вели Господ, Бог на Евреите: пушти го народот Мој, за да ми изврши служба.‘
2. Оти, ако не го пуштиш, па и понатаму го задржуваш,
3. еве, раката Господова ке дојде врз добитокот твој во полето, врз коњите, врз ослите, врз камилите, врз говедата и врз овците - и многу голем помор ке настане.
4. И во она време ке направам чуда ме у добитокот на синовите Израилеви; и од сиот добиток на синовите Израилеви нема ништо да загине.'
5. И определи Господ време, велејки: 'Утре ке го направи тоа Господ на земјата.'
6. И го изврши тоа Господ утредента, и сиот добиток египетски исцрка; а од добитокот на синовите Израилеви ништо не загина.
7. И виде Фараонот дека од добитокот Израилев не беше загинато ниту едно грло. Но Фараоновот срце одново отврдна, и тој пак не го пушти народот.
8. Тогаш му рече Господ на Мојсеја и на Арона, велејки: 'Земете полни раце пепел од печката, и Мојсеј нека ја фрли пред Фараонот и пред слугите негови спрема небото;
9. и ке се дигне прав по целата земја Египетска; а од неа ке се појават воспаленија и на лу ето, и на доботокот по целата земја Египетска.'
10. И зедоа пепел од печката, и застанаа пред Фараонот, па ја фрли Мојсеј спрема небо, и се појавија гнојни струпје по лу ето и по добитокот.
11. И вражачите не можеа да стојат пред Мојсеја поради струпјето, зашто струпје имаше и на вражачите и на сите Египтјани.
12. И го ожесточи Господ срцето на Фараонот и тој не ги послуша, како што му беше рекол Господ на Мојсеја.
13. Потоа му рече Господ на Мојсеја: 'Стани утре рано и излези пред Фараонот и речи му: ‘Еве што вели Господ, Бог на Евреите: пушти го народот Мој, да Ми послужи,
14. оти овој пат ке ги пуштам сите зла, за да познаеш дека нема друг како што сум Јас на целата земја.
15. Оти сега, ако ја пружам Својата рака, ке те поразам тебе и народот твој со помор, така што ке се истребите од земјата.
16. А те оставив досега само за да ја покажам над тебе силата Своја, за да биде проповедано името Мое по целата земја.
17. Уште ли ке се креваш над Мојот народ, и нема ли да го пушташ?
18. Па, еве, утре, токму во овој час, Јас ке пратам град многу голем, каков што немало во Египет, откако настанал па досега.
19. Затоа, сега побрзај да се прибере добитокот твој, и се‘ што имаш по полето; оти ке падне град врз сите лу е и врз доботокот. А оние, што ке се затечат во полето и не бидат прибрани дома, ке падне град врз нив и ке изгинат.'
20. Оние Фараонови слуги, кои се уплашија од зборовите Господови, брзо го прибраа добитокот свој по куките.
21. А оној, пак, кој не им поверува на зборовите Господови, тој го остави добитокот свој во полето.
22. И му рече Господ на Мојсеја: 'Пружи ја раката своја кон небото, и ке удри град по целата земја Египетска, врз лу ето, врз доботокот и врз тревата земна.'
23. И Мојсеј ја крена раката кон небото и Господ пушти громови и град, и течеше оган по земјата. И прати Господ град врз целата земја Египетска.
24. Па аше град, а и оган гореше со градот многу силен, каков што немало во целата земја Египетска, откако биле населени лу ето во неа.
25. А градот уништи во целата земја Египетска се‘ - од човек до животно; и градот ги уништи сите растенија по полето, и сите дрвја во полето ги сотре.
26. Само во земјата Гесем, каде што беа синовите Израилеви, немаше град.

27. Тогаш прати Фараонот, и ги повика Мојсеја и Арона, и им рече: 'Сега згрешив; Господ е праведан, а јас и мојот народ сме грешници.
28. Помолете Му се на Господа за мене; нека престанат громовите Божји и градот, и огнот на земјата, па ке ве пуштам, и повеке никој да не ве задржува.'
29. А Мојсеј му рече: 'Штом ке излезам од градот, ке ги кренам рацете мои спрема небото кон Господа, и громовите ке престанат и град и дожд повеке нема да има, за да познаеш дека замјат е Господова.
30. Но знам дека ти и слугите твои уште нема да се уплашите од Господа.'
31. И така пропадна ленот и јачменот, зашто јачменот беше искласал, а ленот - факаше семе.
32. А пченицата и ‘ржта не пропаднаа, бидејки беа доцни жита.
33. И Мојсеј излезе од кај Фараонот надвор од градот, ги издигна рацете свои кон Господа - престанаа громовите и градот, и град и дожд не паднаа веке на земјата.
34. Но Фараонот, откако виде дека престана дождот, градот и громовите, продолжи пак да греши, и закорави срцето негово и на слугите негови.
35. Се ожесточи срцето Фараоново и на слугите негови, и тој пак не ги пушти синовите Израилеви, као што му беше рекол Господ преку Мојсеја.

Глава 10

1. Тогаш Господ му рече на Мојсеја, велејки: 'Оди при Фараонот, зашто Јас му го ожесточив срцето негово и срцето на слугите негови, за да ги покажам овие знаци врз нив;
2. па да им прикажувате на чедата ваши и на внуците ваши што им направив на Египтјаните, како и за знаците Мои, што ги покажав пред нив, и за да знаат, дека сум Јас Господ.'
3. И отидоа Мојсеј и Арон кај Фараонот и му рекоа: 'Еве што вели Господ, Бог на Евреите: ‘До кога не ке сакаш да се засрамиш пред Мене? Пушти го народот Мој да Ми послужи!
4. Оти, ако не сакаш да го пуштиш народот Мој, еве, утре во ова време ке пратам скакулци над целата земја твоја.
5. И тие ке го покријат лицето на земјата, така што не ке се гледа, а ке го изедат остатокот, зачуван од градот; ке го изадат и секое дрво, што ви расте по полето.
6. И ке ги наполна куките твои, куките на слугите твои и сите куки по целата земја Египетска какво што не виделе татковците твои, ни прадедовците нивни, откако живеат на земјата па се‘ до денес.' И свртувајки се, си отиде Мојсеј од Фараонот.
7. Тогаш слугите му рекоа на Фараонот: 'До кога овие маки? Пушти ги лу ето нека Му заблагодарат на Господа, нивниот Бог. Или сакаш да гледаш како Египет пропа а?'
8. И ги вратија Мојсеја и Арона пред Фараонот, и им рече Фараонот: 'Одете, полужете Му на Господа, вашиот Бог. А кои се тие што ке одат?'
9. Мојсеј одговори: 'Ке одиме и млади и стари, со синовите свои и со керките свои, со овците свои и воловите свои, ке одиме, зашто тоа ке биде празник во чест на Господа, нашиот Бог.'
10. И им рече Фараонот: 'Така нека биде; нека е Господ со вас. Ке ве пуштам, но зошто се децата ваши? Ете, лошо лукавство имате.
11. Не така, но да одите само мажите и заблагодарете Му на Господа, зашто тоа сами баравте.' И ги истераа од кај Фараонот.
12. Тогаш му рече Господ на Мојсеја: 'Протегни ја раката своја над земјата Египетска и ке излезат скакулци на земјата египетска, па да ја изадат сета трева по земјата, сиот плод што остана неудрен од градот.'
13. И го крена Мојсеј стапот свој кон небото и над египетската земја наведе Господ јужен ветар, кој дуваше цел ден и цела нок; а кога се раздени, јужниот ветар довеа скакулци.
14. И ги навеа нив над целата земја египетска, и нападнаа по сите краишта египетски во голем број: такви скакулци никогаш немало, ниту такви ке има некогаш.
15. И го покрија лицето на земјата, така што на земјата ништо не се гледаше, и ја изедоа сета трева на земјата и сиот род по дрвјата и од тревата полска во целата земја египетска.
16. Тогаш Фараонот брзо ги повика Мојсеја и Арона и рече: 'Прегрешив пред Господа, вашиот Бог, и пред вас.
17. Но уште сега прости ми го гревот мој, и молете Му се на својот Господ Бог да ја отстрани од мене само оваа смрт.
18. А, откако излезе Мојсеј од кај Фараонот, Му се помоли на Господа.
19. И сврте Господ ветар од морето, многу силен и тој ги крена скакулците и ги фрли во Црвено Море; и не остана ниту еден скакулец во целата земја Египетска.
20. Но Господ го затврдна срцето на Фараонот и тој не ги пушти синовите Израилеви.
21. И му рече Господ на Мојсеја: 'Крени ја сега раката своја кон небото, и ке биде густа темнина по земјата Египетска, таква што дури опиплива ке биде.
22. И Мојсеј ја подигна раката свој кон небото, и настана густа темнина, мрак и бура по целата земја египетска, која потраја цели три дена.
23. Лу ето не се гледаа еден со друг три дена, и никој не се поместуваше од постелата своја три дена. Но по местата, каде што живееја синовите Израилеви, имаше виделина.
24. Тогаш Фараонот го повика Мојсеја и Арона, и им рече: 'Одете, заблагодарете Му на Господа, вашиот Бог; само овците ваши и воловите ваши нека останат, а имотот ваш нека оди со вас.'

25. Но Мојсеј рече: 'Не, ами ти треба да не‘ снабдиш со приноси и жртви сепалиници, што ке ги
принесеме на Господа, нашиот Бог.
26. Затоа и добитокот наш нека оди со нас, да не остане ни копито; зашто од него треба да
земеме нешто, со што ке му заблагодариме на Господа, нашиот Бог; но, додека не
пристигнеме таму, не знаеме каква жртва ке Му принесеме на Господа.'
27. И Господ пак го отврдна срцето на Фараонот и тој не сакаше да ги пушти.
28. И му рече Фараонот: 'Истави се од пред мене, повеке да не ми излегуваш пред очи! И оној
ден кога ке ми дојдеш пред очи, ке загинеш.'
29. А Мојсеј рече: 'Право кажа, нема повеке да ти го видам лицето.'

Глава 11

1. Пак му рече Господ на Мојсеја: 'Уште едно зло ке пратам над Фараонот и над Египет, па тогаш ке ве пушти оттука; и кога ке ве пушти, просто ке ве истера.
2. А сега кажи му на народот тајно - секој човек нека побара од соседот свој и секоја жена од сосетката своја накит сребрен и накит златен а и облека.'
3. И даде Господ народот да најде милост кај Египтјаните и им дадоа; а и самиот Мојсеј беше многу голем човек пред Египтјаните и пред Фараонот, пред очите на слугите негови и пред народот.
4. И рече Мојсеј: 'Вака вели Господ: ‘На полнок ке поминам низ Египет,
5. и ке умре секој првороден во земјата Египетска, од првородениот син Фараонов, кој требаше да седне на престолот негов, до првородениот син на слугинката, која се нао а во воденицата, и првородениот добиток.
6. И ке стане пискот голем по целата земја египетска каков што уште немало, ниту некогаш ке го има.
7. А кај синовите Израилеви нигде наме ни куче да лавне со својот јазик, ниту против човек, ниту против животно, за да се види колку ке се прослави Господ ме у Израилците и Египтјаните.
8. Па ке дојдат сите тие слуги твои кај Мене, и ке Ми се поклонат, велејки: ‘Оди си и ти и целиот твој народ, што го водиш со тебе.‘ И тогаш ке излезам.' И си излезе Мојсеј од Фараонот со голем гнев.
9. А Господ му рече на Мојсеја: 'Нема да ве послуша Фараонот, за да се умножат знаците и чудесата Мои во земјата Египетска.'
10. Мојсеј и Арон ги направија сите знаци и чудеса пред Фараонот, но Господ му го ожесточи срцето на Фараонот, и тој не сакаше да ги пушти синовите Израилеви од земјата Египетска.

Глава 12

1. И рече Господ на Мојсеја и на Арона во земјата Египетска, велејки:
2. 'Овој месец да ви биде почеток на месеците, да ви биде прв месец ме у месеците во годината.
3. Кажи му на целиот собор на синовите Израилеви и речи им: 'На десеттиот ден од овој месец секој нека земе јагне шилеже според бројот на челадта: значи, по едно на дом.
4. Ако се помалу во домот за едно јагне, нека го земе кај себе соседот, кој му е најблизок, со онолку души, колу што треба, за да можат да го изедат јагнето.
5. А јагнето или јарето да ви биде здраво, машко, без недостаток, од една година; земете го од овците или од козите.
6. И чувајте го до четиринаесеттиот ден од овој месец, а тогаш општиот собор Израилев нека го заколе, во приквечерина.
7. И нека земат крв од него и нека ги попрскаат обата довратника и праговите на куката, во која ке го јадат.
8. И нека јадат месо истата нок, на оган печено, со пресен леб и со горчливо зеље, нека јадат.
9. Немојте да јадете сурово, ниту во вода варено, туку на оган печено: со главата, со нозете и со дробовите.
10. И ништо немојте да оставате до утрината; и коски не кршете од него; ако нешто од него остане до утрината, изгорете го на оган.
11. А вака јадете го: преопашани, обувките да ви се на нозете и стаповите ваши во рацете ваши, и јадете брзо: тоа е Пасха Господова.
12. Оти ке поминам низ земјата египетска таа нок, и ке го убијам секој првороден во земјата Египетска, од човек до добиток, и ке се одмаздам на сите богови египетски. Јас сум Господ.
13. А крвта ке ви биде знак на куките, во кои ке бидете таму: и кога ке видам крв, ке ве одминам, па нема да има ме у вас помор, кога ке ја поразам земјата египетска.
14. И тој ден ке ви биде ден на секавање и празнувајте го тој празник, посветен на Господа; празнувајте го од колено на колено; вечно озаконет.
15. Седум денови јадете лебови без квас; уште од првиот ден отстранете го квасот од куките ваши; зашто оној, кој ке јаде нешто со квас, тој ке биде истребен од Израилот.
16. Првиот ден да се нарече свет собор; а и седмиот ден да ви биде особено свет; никаква работа да не вршите во тие денови. Освен за јадењето, за кого колку што треба, само тоа можете да го правите.
17. И запазете ја оваа заповед; зашто во тој ден ја изведов војската ваша од земјата египетска; празнувајте го тој ден од колено на колено како вечно озаконет.
18. Бесквасни лебови почнете да јадете од првиот месец во четиринаесеттиот ден вечерта, па се‘ до дваесет и првиот од истиот месец до вечерта.
19. Седум денови не смее да има квас во куките ваши. Оти, ако некој јаде нешто со квас, ке биде истребена таа душа од општеството на Израилот, било да е придојдена - или родена во земјата.
20. Ништо со квас немојте да јадете: во сите куки ваши јадете само бесквасен леб!'
21. И ги свика Мојсеј сите старешини на синовите Израилеви и им рече: 'Одете и пригответе јагне, според семејствата свои, и заколете пасха.
22. Потоа земете китка исоп и натопете ја во крвта, што е близу до вратите, и попрскајте ги праговите и обата довратника со крвта, што е близу до вратите, и ниеден од вас да не излегува низ вратата кукна до изутрина.
23. И кога ке помине Господ да го поразува Египет, штом ке ја види крвта на прагот и на обата довратника, ке ја одмине Господ таа врата, и нема да му дозволи на истребителот да влезе во куките ваши и да убива.
24. Пазате го ова како закон за себе и за синовите свои довека.
25. И кога, пак, ке влезете во земјата, што ке ви ја даде Господ, како што рече, држете ја оваа

служба.
26. И кога ке ве прашаат синовите ваши: ‘Каква ви е таа служба?‘
27. Одговорете: ‘Тоа е Пасхална жртва на Господа, кога ги одмина куките на синовите Израилеви во Египет, убивајки ги Египтјаните, а домовите наши ги зачува.' - Тогаш народот, наведнувајки се, се поклони.
28. И откако отидоа синовите Израилеви, направија така, како што им заповеда Годпод преку Мојсеја и Арона: така направија.
29. А на полнок ги уби Господ сите првородени во земјата Египетска, од првородениот син Фараонов, кој требаше да седи на престолот негов, до првородениот син на затвореникот во затворот, и се‘ што беше првородено во добитокот.
30. И стана Фараонот во таа нок, тој и сите негови слуги, и сите Египтјани; и настана голем пискот во целата земја египетска, зашто немаше кука, во која немаше мртовец.
31. Тогаш ги повика Фараонот Мојсеја и Арона, нокта, и им рече: 'Станете, одете си од народот мој, како вие така и синовите Израилеви, и извршете Му служба на Господа, како што велевте.
32. Земете ги и овците ваши, говедата ваши, како што велевте и одете си, па и мене благословете ме!'
33. И Египтјаните навалуваа на народот, што побрзо да си оди од земјата, зашто велеа: 'Сите ке изгинеме!'
34. И народот си го зеде тестото свое, уште неискиснато; ноквите ги завиткаа во облеките свои, и го ставија на рамењата свои.
35. И постапија синовите Израилеви според заповедта Мојсеева, и побараа од Египтјаните накити сребрени и накити златни, а и облека.
36. И Господ направи, та народот најде милост кај Египтјаните, и тие им дадоа; така тие ги обраа Египтјаните.
37. И тргнаа синовите Израилеви од Рамзес за Сокхот, околу шестотини иљади пешаци мажи, не сметајки ги тука децата.
38. И многу други придојдени отидоа со нив, и овци и волови голем број отидоа со нив.
39. А од тестото, што го изнесоа од Египет, испекоа бесквасни лепчиња, зашто тоа уште не беше скиснато кога ги истераа Египтјаните, и не можеа да се задржуваат, така што дури ни храна за попат не си приготвија.
40. Времето, пак, што го поминаа синовите Израилеви во Египет и во земјата Хананска, тие и нивните татковци, изнесуваше четиристотини и триесет години.
41. А кога се навршија четиристотини и триесетте години, ноке во истиот ден излезе сета војска Господова од земјата египетска.
42. Таа нок, која Господ ја пробдеа, за да ги изведе од Египетската земја, тоа е нок Бдение за Господа, кое треба да го празнуваат синовите Израилеви од колено на колено.
43. И им рече Господ на Мојсеја и на Арона: 'Закон за Пасхата е: ниеден ту инец да не јаде од неа!'
44. А секој роб ваш, или купен за пари, откако ке го обрежете, тогаш може да јаде од неа.
45. Придојден или наемник да не јаде од неа!
46. Во една кука треба да јадете; не оставајте за изутрина и не изнесувајте надвор од куката, и коските од жртвата да не кршите.
47. Целото општество Израилево нека прави така.
48. Ако дојде кај вас некој ту инец и посака да ја празнува Пасхата Господова, нека му се обрежат сите од машки пол, па потоа нека почне да ја празнува, и ке биде како роден во таа земја; инаку, никој необрезан да не јаде од неа.
49. Еден закон нека има за родениот во таа земја и за придојдениот што дошол ме у вас!'
50. И направија сите синови Израилеви како што им заповеда Господ на Мојсеја и на Арона, така направија.
51. И во тој ден ги изведе Госопод синовите Израилеви од земјата Египетска со нивната војска.

Глава 13

1. Му рече Господ на Мојсеја, велејки:
2. 'Посвети ми го секое првородено, кое ја отвара секоја утроба ме у синовите Израилеви: и од лу ето, и од добитокот. Тие Мене ми припа аат!'
3. И Мојсеј му рече на народот: 'Помнете го овој ден, во кој излеговте од земјата Египетска, од домот на ропството, зашто со рака силна ве изведе Годпод оттаму; и не јадете ништо со квас.
4. Зашто денес излегувате, во Авив, месецот на новите плодови.
5. Затоа, кога Господ ке те воведе во земјата хананска, и хетејска, и аморејска, и евејска, и јевусејска, и гергесејска и ферезејска, за која им се заколнал на татковците твој, дека ке ти ја даде - земјата во која тече мед и млеко - тогаш служи ја оваа служба во овој месец!
6. Шест дена јадете бесквасен леб, а седмиот ден нека биде празник Господов.
7. Бесквасен леб да јадете седум дена, и да не се најде кај тебе ништо со квас,ниту да се најде негде кај тебе квас во сите твои предели.
8. И во тој ден кажи му на синот твој, велејки: ‘Ова е за она, што ми го направи Господ Бог, кога излегував од Египет!‘
9. И тоа нека ти биде знак на раката твој и спомен пред очите твои, та законот Господов да ти биде во устата; зашто со рака силна те изведе Господ од Египет.
10. Затоа оној закон запазувај го секоја година во определено време!
11. А кога ке те воведе Господ, твојот Бог, во земјата Хананска, како што ти се заколна тебе и на твоите татковци, и ке ти ја предаде -
12. на Господа ке Му го одделуваш секое првородено од машки пол, што отвора утроба и секое провородено од стадата или добитокот, што го имаш, а е од машки род, посвети го на Господа!
13. А секое првородено осле замени го со јагне;, ако, пак, не го замениш, откупи го. И секое првороденче од човек ме у синовите твои откупувај го!
14. А кога ке те запраша синот твој тогаш и ти рече: ‘Што е тоа?‘ Кажи му: ‘Зашто со рака силна не‘ изведе Господ од Египет, од домот на ропството.‘
15. Оти, кога се ожесточи Фараонот да не не‘ пушти, го уби Господ секој првороден во земјата Египеска, од првенец човечки до првородено во добитокот - затоа Му го принесувам на Господа како жртва секое машко, кое отвора утроба, а секој првороден ме у синовите мои го откупувам.
16. И тоа нека ти биде знак на раката твоја и постојано пред очите твои, бидејки со рака силна те изведе Господ од Египет.'
17. А кога Фараонот го пушти народот, Бог не го поведе по патот кон земјата Филистејска, иако е пократок; зашто Бог рече: 'За да не би да се покае народот, кога ке види војна, па да се врати во Египет.'
18. Бог го поведе народот по патот во пустињата кон Црвено Море. А синовите Израилеви вооружени излегоа од земјата Египетска.
19. И ги зеде Мојсеј коските Јосифови со себе; зашто ги беше заколнал Јосиф синовите Израилеви, велејки: 'Господ навистина ке ве посети, а вие тогаш понесете ги коските мои одовде со себе.'
20. Откако појдоа синовите Израилви од Сокхот, се утврдија во Етам, при крајот на пустињата.
21. А Бог ги водеше по патот: дење во столб од облак, а ноке во столб во оган, светејки им.
22. И не се иставаше пред сиот народ столбот облак - дење, ни столбот од оган - ноке.

Глава 14

1. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
2. 'Кажи им на синовите Израилеви да свртат и да се утаборат пред Пи - Аирот во долината ме
у Магдол и морето, спроти Веел Сепфон. Спроти него утаборете се крај морето.
3. И така Фараонот ке им рече на своите лу е за синовите Израилеви: ‘Заскитале во земјата,
пустињата ги затворила.‘
4. А Јас ке направам да се стегне срцето на Фараонот, и тој да појде во потера по нив. Но Јас ке
се прославам над Фараонот и над сета војска негова. И сите Египтјани ке познаат дека Јас сум
Господ.' Тие така и направија.
5. А кога му соопштија на царот египетски дека народот избегал, се измени срцето Фараоново
и слугите негови спрема народот, па рекоа: 'Што направивме, па ги пуштивме синовите
Израилеви, та да не ни работат повеке.'
6. И ја впрегна Фараонот колата своја, и сиот народ го поведе со себе;
7. зеде шестотини коли по избор и колку што уште имаше коли египетски, со нивните
началници.
8. А Господ направи, та со ожесточи срцето на Фараонот, царот египетски, и на слугите
негови, и тргна во потера по синовите Израилеви; но синовите Израилеви врвеа под силна
рака.
9. И се впуштија по нив Египтјаните, и сите коњи Фараонови со колите, и сета војска негова, и
ги најдоа во долината крај морето, спроти Веел Сепфон.
10. А кога наближи Фараонот, се обѕрнаа синовите Израилеви, и што ке видат - ете
Египтјаните идат по нив. И синовите Израилви се уплашија многу, па извикаа кон Господа,
11. и му рекоа на Мојсеја: 'Зар немаше гробови во Египет, туку не‘ изведе овде да изгинеме во
пустињата? Што ни направи? Зошто не‘ изведе од Египет?
12. Нели ти го кажавме ова и во Египет, кога ти рековме: ‘Остави не‘, да им служиме на
Египтјаните?‘ Оти подобро ке ни беше да им служиме на Египтјаните, отколку да изгинеме во
пустињава.'
13. А Мојсеј му рече на народот: 'Не плашете се, застанете и ке видите Господ како ке ве спаси
денес: Египтјаните, како што ги гледате денес, нема повеке никогаш да ги видите довека.
14. Господ ке се бие за вас, а вие бидете спокојни.
15. И му рече Господ на Мојсеја: 'Зошто викаш кон Мене? Кажи им на синовите Израилеви нека
врват.
16. А ти земи го стапот свој и протегни ја раката своја врз морето, и раздели го, и нека минат
синовите Израилеви, среде море по суво.
17. Но, ете, Јас ке го стегнам срцето на сите Египтјани, и тие ке тргнат по нив. А Јас ке ја
покажам славата Своја над Фараонот и над сета војска негова, над колите негови и над
коњаниците негови.
18. И сите Египтјани ке познаат дека Јас сум Господ, што ке се прославам над Фараонот, над
колите негови, и над коњаниците негови.'
19. И се крена Ангелот Господен, што одеше пред војската на синовите Израилеви, и застана
зад нив; се крена и столбот од облак пред нив, и застана зад нив.
20. А кога влезе ме у војската Египетска и ме у војската на синовите Израилеви застана; на
оние им беше темнина и мрак, а на овие им беше светлина, така што преку цела нок не се
доближија едните до другите.
21. И ја подигна Мојсеј раката своја над морето, а Господ го разбрануваше морето со јужен
ветар, кој дуваше силно цела нок, па се направи во мерето суво и водата се раздели.
22. И појдоа синовите Израилеви среде море по суво, и водата им стоеше како ѕид од десната
страна и од левата страна.
23. А Египтјаните, гонејки ги, појдоа по нив среде море, сите коњи Фараонови, колите и
коњаниците негови.

24. А во утринската стража погледна Господ на војската египетска од столбот огнен и обласниот и ја доведе во забуна војската египетска,
25. па им ги врза тркалата на колитениви, та одвај ги влечеа. Тогаш Египтјаните рекоа: 'Да бегаме од Израилците, зашто Господ се бие за нив против Египтјаните!'
26. Тогаш му рече Господ на Мојсеја: 'Пружи ја раката над морето, и нека се собере водата врз Египтјаните, и да ги покрие колите нивни и коњаниците нивни.'
27. И Мојсеј ја испружи раката своја врз морето, и пред зори пак се поврати со својата сила, а Египтјаните тргнаа да бегаат кон морето; и Господ ги фрли Египтјаните среде море.
28. А кога се поврати водата, ги потопи колите и коњаниците со сета војска Фараонова, се‘ што беше тргнало кон нив, и не остана ниеден од нив.
29. Синовите, пак, Израилеви минаа среде море по суво; водата стоеше како ѕид од десната страна и од левата страна.
30. И ги избави Господ Израилците во тој ден од рацете на Египтјаните. И ги видоа синовите Израилеви Египтјаните што изумреа на брегот морски.
31. Ја виде Израил силата голема, што Господ ја покажа над Египтјаните, и народот се уплаши од Господа, и поверува во Бога и на неговиот угодник Мојсеја.

Глава 15

1. Тогаш, Мојсеј и синовите Израилеви ја запеаја оваа песна на Господа, велејки: 'Да Го воспеам Господа, зашто славно се прослави: коњите и коњаниците ги фрли в море.
2. Помошник и закрилник ми беше во спасението. Он е Бог мој, и ке Го прославувам; Бог на таткото мој, и ке Го превознесувам.
3. Господ ги ништи војните; името Му е Господ.
4. Колите Фараонови и војската негова ги фрли в море; избраните војводи негови се удавија во Црвено Море.
5. Бездните ги покрија; тие потонаа во длабочините како камен.
6. Десницата Твоја, Господи, се прослави со сила; десната рака Твоја, Господи, го уништи непријателот.
7. И со величието на славата Твоја Ти ги собори оние, кои станаа против Тебе, Ти го изли гневот Свој, и тој ги изгоре како слама.
8. Од здивот на гневот Твој водите се расцепија, водите се издигнаа како бедем; среде морето брановите се затврднаа.
9. Непријателот рече: ‘Ке гонам, ке стигнам, плен ке разделам, ке го господари раката моја.‘
10. Ти дувна со здивот Твој, и морето ги покри; и тие потонаа како олово во силните води.
11. Кој е како Тебе ме у боговите, Господи? Кој е како Тебе прославен во светоста Своја, прекрасен во славата Своја и Творец на чудеса?
12. Ти ја пружи десницата Своја - а земјата ги голтна.
13. Според милоста Твоја го водеше народот, кого Ти го избави, и го утешуваше со силата Своја, водејки го во живеалиштето на Светоста Твоја.
14. Народите ке чујат и ке се вознемират: ужас ке ги опфати жителите на земјата Филистејска.
15. Тогаш ке побрзаат и поглаварите едомски, страв и трепет ке ги обзема кнезовите моавски, ке се уплашат сите жителиханански.
16. Нека ги опфати страв и ужас; од силата на раката Твоја нека онемеат како камен, додека не помине народот Твој, Господи, додека не помине народот овој Твој, кого со го придобил.
17. Одведи го и смести го во планините, наследството Твое, во место, кое Ти, Господи, си го приготвил за живеалиште Свое, во светилиштето создадено со рацете Твој, Господи!
18. Господ ке царува секогаш и во вечност.
19. Кога коњите Фараонови со колите негови и со коњаниците негови влегоа во морето, Господ ги поврати врз нив водите морски: а синовите Израилеви поминаа по суво среде море.'
20. И пророчицата Маријам, сестрата Аронова, зеде тимпан во раката своја, а по неа излегоа сите жени со тимпани и во хор.
21. И запеа Маријам пред нив: 'Пејте Му на Господа, зашто славно се прослави: коњот и коњаникот в море ги фрли.'
22. Потоа ги изведе Мојсеј синовите Израилеви од Црвеното Море, и тие се упатија во пустињата Сур; и одејки низ пустињата три дена не најдоа вода за пиење.
23. Дојдоа во Мера, но не можеа да пијат вода во Мера, зашто беше горчлива; затоа и го нарекоа тоа место Мера.
24. Тогаш народот почна да вика против Мојсеја, велејки: 'Што ке пиеме?'
25. Извика Мојсеј кон Господа, и Господ му покажа дрво. Тој го фрли дрвото во вода, и водата стана слатка. Таму му даде наредби и закони, и таму го подложи на испитание.
26. И му рече: 'Ако го послушаш добро гласот на Господа твојот Бог, ако правиш, што е угодно пред очите Негови, ако ги слушаш заповедите Негови, ако ги пазиш сите наредби Негови, нема да ти пратам ниедна од болестите, што ги пратив над Египет. Зашто Јас сум Господ, Бог твој целител.'
27. Потоа стигнаа во Елим; таму имаше дванаесет извори и седумдесет палми; и сите се утаборија тука крај водите.

Глава 16

1. Од Елим се кренаа и целата заедница на синовите Израилеви дојде во пустињата Син, која се нао а ме у Елим и Синај, во петнаесеттиот ден од вториот месец, откако излегоа од земјата Египетска.
2. И почна да се буни целата заедница на синовите Израилеви против Мојсеја и против Арона.
3. И им рекоа синовите Израилве: 'О, да бевме умреле од раката Господова во земјата Египетска, кога седевме покрај котлите со месо и јадевме леб до насит! Не‘ изведовте овде во оваа пустиња, за да го умрете целово ова множество со глад.'
4. А Господ му рече на Мојсеја: 'Еве, ке пуштам да па а леб од небото, и народот нека излегува секој ден и нека собира колку што е потребно за тој ден, за да го испитам ке постапува ли според законот Мој или не;
5. а во шестиот ден кога ке го зготват она, што го собрале, и тоа ке биде двојно од она, што го собираат секој ден.'
6. Тогаш Мојсеј и Арон му рекоа на целиот збор на синовите Израилеви: 'Вечерва ке познаете дека Господ ве изведе од земјата Египетска,
7. а утре ке ја видите славата Господова; зашто Господ го чу негодувањето ваше против Бога. Што сме ние, та да се буните против нас?'
8. Потоа рече Мојсеј: 'Вечерва Господ ке ве даде месо да јадете, а утре изутрина леб до наситка; оти го чу Господ повикот ваш, што го дигнавте против Него. Кои сме ние? Вашиот повик не е против нас, туку против Бога.'
9. И му рече Мојсеј на Арона: 'Кажи му на целото општество на синовите Израилеви - ,застанете пред Бога, зашто Он го чу повикот ваш.'
10. И кога Арон му зборуваше на целото општество на синовите Израилеви, тие погледнаа кон пустињата, а тоа - славата Господова се појави во облак.
11. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
12. 'Го чув негодувањето на синовите Израилеви. Кажи им и речи: ‘Вечерва ке јадете месо, а утре ке се наситите со леб, и ке познаете дека јас сум Господ, Бог ваш.‘'
13. Вечерта долетаа потполошки и го прекрија таборот; а утрината беше паднала роса околу таборот.
14. И, ете, кога се крена росата, а тоа - по пустињата лежи нешто ситно, како коријандер, зрнесто, бело како слана по земјата.
15. И кога видоа синовите Израилеви, си велеа еден на друг: 'Што е ова?' Оти не знаеја, што беше тоа. А Мојсеј им рече: 'Тоа е лебот, што ви го даде Господ да го јадете.'
16. Еве како заповеда Господ: 'Собирајте од него, секој колку што му треба за јадење - по еден гомор на лице, според бројот на членовите ваши; секој од вас со домашните собирајте.'
17. И направија така синовите Израилеви: собираа кај повеке кој помалку.
18. Па мереа со гомор; и кој беше собрал повеке, излишок немаше, а оној помалку, - немаше недостиг; секој собра онолку, колку што му требаше,
19. и им рече Мојсеј: 'Никој да не остава од тоа за утре!'
20. Но тие не го послушаа Мојсеја, туку некои оставија од тоа за утре, а тоа мувлоса и се смириса. И се налути Мојсеј на нив.
21. И така тие го собираа секое утро рано, секој колку што имаше потреба; а кога сонцето ке изгрееше, маната се топеше.
22. А во шестиот ден собраа од тој леб двојно повеке - по два гомора за секого. И дојдоа старешините народни, па му јавија на Мојсеја.
23. А Мојсеј им рече: 'Еве ја заповедта што ја кажа Господ - утре е саботен ден, свет одмор за Господа; што ке печете - печете, и што треба да варите - варете денес; а што ке преостане, соберете го и пазете го за утре!'
24. И оставија од него за утре, оти како што заповеда Мојсеј, и тоа не се смириса, ниту имаше црвја во него.

25. И рече Мојсеј: 'Јадете го тоа денес, бидејки е денес сабота посветена на Господа; денес нема да најдете мана во полето.
26. Шест дена ке собирате, а седмиот ден е сабота, тогаш ке ја нема.'
27. И на седмиот ден излегоа некои од народот да собираат, но не најдоа.
28. А Господ му рече на Мојсеја: 'До кога ке се противите на заповедите Мои и на законот Мој?
29. Ете, Господ ви дал денес сабота, затоа во шестиот ден и ви дава леб за два дена. Останете секој на своето место, и во седмиот ден никој да не го напушта местото свое.'
30. И се одмараше народот седмиот ден.
31. И синовите Израилеви тој леб го нарекоа мана. Тоа беше као семето коријандрово, бело, а по вкус како медено колаче.
32. Тогаш им рече Мојсеј: 'Еве што заповеда Господ: ‘Наполнете еден гомор мана, за да се запази во родовите ваши, за да го видат лебот што го јадевете и со кој ве хранев во пустињата, кога ве изведов од земјата Египетска.'
33. И му рече Мојсеј на Арона: 'Земи златен сад и стави во него еден гомор мана, и постави го пред Бога, за да се пази од колено до колено ваше.'
34. И го постави Арон пред ковчегот на сведоштвото, за да се чува, како што му беше заповедал Господ на Мојсеја.
35. А синовите Израилеви јадеа мана четириесет години, додека не дојдоа во населена земја; јадеа мана додека не стигнаа до границата на земјата Хананска.
36. А гоморот е десетти дел од ефа.

Глава 17

1. И се крена целото општество на синовите Израилеви, од пустињата Син, по заповедта
Гпсподова, и се задржаа во Рафидин; а таму немаше вода да пие народот.
2. И народот го укори Мојсеја, велејки: 'Дај ни вода да пиеме!' А Мојсеј им рече: 'Зошто ме
укорувате мене? Зошто Го искушувате Господа?'
3. и жеден беше за вода народот таму, па викаше против Мојсеја и велеше: 'Зошто не‘ изведе
од Египет и нас, и синовите наши, и добитокот наш, за да не‘ помориш со жед?'
4. А Мојсеј се обрна кон Господа и рече: 'Што да правам со овој народ? Уште малку, па ке ме
каменуваат.'
5. Но Господ му рече на Мојсеја: 'Излези пред народот, и поведи ги со себе старешините
народни, земи го во раката и стапот свој, со кој го раздвои морето, па појди.
6. А Јас ке стојам онаму кај карпата на Хорив пред доа ањето твое; а ти тогаш удри во карпата,
и од неа ке потече вода и народот ке пие.' И направи Мојсеј така пред синовите Израилеви.
7. И тоа место го нарече Маса и Мерива, поради подбивот на синовите Израилеви што Го
искушуваа Господа, велејки: Дали е Господ ме у нас, или не е?'
8. Но тогаш дојдоа Амаликијците и се биеја против Израилците во Рафидин.
9. А Мојсеј, пак, му рече на Исуса: 'Избери си лу е силни, па излези и бори се утре против
Амаликијците; а јас ке застанам на врвот од горета и стапот Божји ке ми биде в рака.'
10. И направи Исус, како што му рече Мојсеј, и излезе против Амаликијците; А Мојсеј, Арон и Ор
се искачија на врвот од горета.
11. И кога Мојсеј ги креваше рацете угоре - надвладуваа Израилците, а кога ги спушташе
рацете - надвладуваа Амаликијците.
12. Но рацете на Мојсеја му отежнаа; затоа зедоа камен и го ставија под него, па седна на
него: а Арон и Ор ми ги потпираа рацете: еден од една страна, а другиот - од другата. Така
стоеја рацете Мојсееви кренати до зајдисонце.
13. И го победи Исус Амалика и неговиот народ со остар меч.
14. Потоа му рече Господ на Мојсеја: 'Запиши го тоа за спомен во книгата, и објасни му на
Исуса да помни дека сосема ке го избришам споменот за Амалика од под небото.'
15. Тогаш Мојсеј подигна жртвеник, и го нарече Јехова Ниси, односно Господ прибежиште мое,
16. 'бидејки, рече тој, рака се кренала на престолот Господен, Господ ке војува против Амалика
од колено на колено.'

Глава 18

1. А Јотор, свештеникот медијамски, тестот Мојсеев, чу за се‘ што направи Господ за Израилот, народот Свој, како го изведе Господ Израилот од Египет.
2. И ја зеде Јотор, тестот Мојсеев, Сепфора, жената Мојсеева, која беше ја вратил,
3. и двата сина нејзини: на едниот името му беше Гирсам, оти Мојсеј велеше: 'Придојден сум во земја ту а,'
4. а на вротиот името му беше Елиезер, бидејки рече: 'Бог на таткото мој ми се најде на помош и ме избави од рацете Фараонови.'
5. И Јотор, тестот Мојсев, тргна со синовите негови и со жената негова при Мојсеја во пустињата, каде што се беше утаборил на планината Божја,
6. па го известија Мојсеја, велејки: 'Ете, тестот твој Јотор, иде кај тебе, иде и жената твоја, и обата сина нејзини со неа.'
7. И Мојсеј му излезе во пресрет на тестот свој и му се поклони, и го целива; па откако се поздравија еден со друг, го воведе Мојсеј под шаторот свој.
8. И му раскажа Мојсеј на тестот свој за се‘ што направи Господ со Фараонот и со сите Египтјани поради Израилците, и за сите тешкотии што ги снајдуваа патем, и како Господ ги избави од рацете Фараонови и од рацете египетски.
9. И се зарадува Јотор за сите добрини што му ги направи Господ на Израилот, спасувајки го од рацете на Египтјаните и од рацете Фараонови.
10. Тогаш Јотор рече: 'Нека е благословен Господ, Кој ве избави од рацете на Египтјаните и од рацете Фараонови!
11. Сега знам дека е Господ поголем од сите богови, и тоа токму во она, со што тие се превознесуваат.'
12. Потоа Јотор, тестот Мојсеев, Му принесе на Бога сепаленица и жртви. Тогаш дојде и Арон и сите старешини Израилеви, и јаде леб со тестот Мојсеев пред Бога.
13. А утредента седна Мојсеј да му суди на народот; и сиот народ стоеше пред Мојсеја од утрото до вечерта.
14. И Јотор, гледајки се‘ што прави со народот, рече: 'Што правиш така со народот? Зошто само ти седиш, а сиот народ стои од утро до вечер?'
15. А Мојсеј му одговори на тестот свој: 'Народот доа а при мене за да бара суд од Бога.
16. Кога ке им се случи некоја работа, тие доа аат при мене, и јас пресудувам поме у нив, а има ме у нив недоразбирања, и им ги кажувам наредбите Божји и Законот Негов.'
17. Но тестот Мојсеев му рече: 'Не е добро тоа, што го правиш ти.
18. Ќе се измориш и ти и сиот народ, кој е со тебе; оти таа работа е многу тешка за тебе; ти сам не можеш да ја извршуваш.
19. Туку послушај ме сега и ке те посоветувам, и Бог ке биде со тебе; ти биди посредник пред Бога за народот, и работите нивни соопштувај Му ги на Бога:
20. Учи ги на наредбите Божји и на законит Негов, и покажувај им го патот Негов, по кој треба да одат и делата што треба да ги вршат.
21. А ти од сиот народ одбери способни лу е, кои се плашат од Бога; лу е справедливи, кои мразат горделивост, па постави ги над нив како иљадници, стотници, педесетници, десетници и писари.
22. Тие нека му судат на народот во секое време и да те известуваат за секое потешко дело; а за сите мали работи тие самите нека пресудат. Така ке ти биде полесно и тие тебе ке ти помагаат.
23. Ако го направиш тоа, и Бог ти го одобри тоа, тогаш ке можеш да истраеш, и сиот тој народ ке си оди мирно во своето место.'
24. И го послуша Мојсеј тестот свој, и направи се‘, како што му рече.
25. И избра Мојсеј од сиот Израил лу е способни, па ги постави: иљадници, стотници, педесетници и десетници.

26. И тие му судеа на народот во секое време, а за тешките работи му кажуваа на Мојсеја; за сите мали работи, пак, судеа сами.
27. Потоа го ослободи Мојсеј тестот свој, и тој си отиде во земјата своја.

Глава 19

1. Во првиот ден од третиот месец, откако излегоа синовите Израилеви од земјата Египетска, во ден на млад месец, стигнаа во пустињата Синајска.
2. Кревајки се од Рафидин, дојдоа во пустињата Синајска, и се утабори Израил таму спроти горативно.
3. И Мојсеј се искачи на горатa при Бога, и го повика Бог, велејќи: 'Кажи му на домот Јаковов, и извести ги синовите Израилеви:
4. ‘Сами видовте што им направив на Египтјаните и како ве изнесов, како на крилја орлови ве приведов при Себе.
5. Па сега, ако го слушате гласот Мој и го пазите заветот мој, ќе ми бидете народ избран меѓу сите народи, зашто Моја е земјата цела.
6. И вие ќе ми бидете царство на свештеници и народ свет.‘ Тоа се зборовите, што ќе им ги кажеш на синовите Израилеви.'
7. Потоа Мојсеј дојде и ги повика старешините народни; и им ги изложи сите овие зборови, што им ги заповеда Господ.
8. И сиот народ одговори еднодушно и рече: 'Се‘ што рекол Господ ќе направиме и ќе послушаме.' Тогаш Мојсеј му ги соопшти на Господа зборовите народни.
9. А Господ му рече на Мојсеја: 'Еве, Јас ќе дојдам кај тебе во столб облачен, за да чуе народот, како ќе зборувам со тебе, па да ти поверува засекогаш.' Оти Мојсеј му ги беше соопштил на Господа зборовите народни.
10. И му рече Господ на Мојсеја: 'Слези од горатa при народот и објасни им и очисти го денес и утре, и нека ги исперат облеките свои;
11. и нека се приготват за третиот ден, зашто во третиот ден ќе слезе Господ на горатa Синајска пред сиот народ,
12. а ќе поставиш граници за сиот народ од сите страни и ќе им кажеш: ‘Пазете да не се качувате на планината и да не се допирате до подножјето нејзино; секој, кој ќе се допре до горатa, ќе биде предаден на смрт.
13. Никаква рака да не се допре до неа, туку со камења да биде убиен или со стрела да биде застрелан; добиток ќе е или човек, жив да не остане. А кога трубата ќе затруби отегнато, кога облакот ќе се крене од планината, тогаш ќе можат да се качат на горатa.‘'
14. И Мојсеј слезе од горатa кај народот; и го очисти народот, и тие ги испраа облеките свои.
15. И му рече на народот: 'Бидете готови и за три дни не приближувајте се до жените!'
16. А третиот ден, пред осамнувањето, загрме и молњи засветкаа, и настана густ облак над горатa Синајска, и затруби труба со многу силен глас, така што затрепери сиот народ, кој беше утаборен.
17. Тогаш Мојсеј го изведе народот од таборот, за да Го пресретне Бога, и застана во подножјето на горатa.
18. А горатa Синајска целата беше во дим, зашто Господ беше слегол над неа во оган; и дим се креваше од неа, како дим од печка, и се уплаши сиот народ;
19. и гласот на трубата стануваше се‘ посилен. Мојсеј зборуваше, а Господ му одговараше гласно.
20. И Господ слезе на горатa Синајска, на врвот од горатa, и го повика Господ Мојсеја на врвот од горатa. Мојсеј се искачи.
21. Тогаш Бог му рече, велејќи: 'Слези и кажи му на народот да не навалува за да Го види Господа, та да не изгинат мнозина од нив;
22. а свештениците, кои Му пристапуваа на Господа Бога, нека се осветат, за да не ги погуби Господ.'
23. Тогаш Мојсеј Му рече на Бога: 'Не ќе може народот да се качи на планината Синајска, бидејќи Ти изрично не‘ опомена, велејќи - омеѓи ја горатa и освети ја.'
24. Но Господ му рече: 'Оди, слези, па тогаш качете се ти и Арон по тебе; а свештениците, пак,

и народот нека не се трукаат да се качат при Господа, за да не ги погуби.'
25. И слезе Мојсеј кај народот и им објасни.

Глава 20

1. Тогаш Господ Бог ги кажа сите овие зборови кон Мојсеја, велејки:
2. 'Јас сум Господ, Бог твој, Кој те изведе од земјата Египетска, од домот на ропството.
3. Немој да имаш други богови освен Мене!
4. Не прави за себе идол, ниту каква слика на она, што е горе на небото, што е долу на земјата и што е во водата под земјата;
5. немој да им се клањаш, ниту да им служиш, оти Јас сум Господ, Бог твој; Бог ревнител, Кој за гревовите на татковците ги казнуваа децата до третото и четвртото колено, оние, кои Ме мразат;
6. Кој покажува милост на иљадници, кои Ме сакаат и ги пазат заповедите Мои.
7. Не изговарај го напразно името на Господа, твојот Бог, бидејки Господ нема да го остави неказнет оној, кој напразно ке го изговори името Негово.
8. Помни го денот саботен, за да го празнуваш.
9. Шест дена работи, и сврши ги во нив сите работи свои;
10. а седмиот ден е сабота Господова, на твојот Бог; тогаш немој да вршиш никаква работа, ни ти, ни синот твој, ни керката твоја, ни слугата твој, ни слугинката твоја, ни волот твој, ни ослето твое, ниту придојдениот, кој се нао а кај тебе.
11. оти за шест дена ги создаде Господ небото и замјата, морето и се‘ што е во нив; а во седмиот ден си отпочина: заради тоа Господ го благослови седмиот ден и го освети.
12. Почитувај ги таткото свој и мајката своја, за да ти биде добро и да поживааш подолго на земјата, што ти ја дава Господ, твојот Бог.
13. Не убивај!
14. Не врши прељуба!
15. Не кради!
16. Не сведочи лажно против својот ближен!
17. Не пожелувај ја жената на ближниот свој, не пожелувај го домот на ближниот свој, ниту нивата негова, ни слугата негов, ни слугинката негова, ни волот негов, ни ослето негово, ни секаков добиток, ниту нешто друго, кое е на ближниот твој!'
18. И сиот народ ги слушаше молњите и гласот на трубата што трубеше и ја гледаше горато што се димеше; и како се исплашија, сите лу е отстапија и се оддалечија малку.
19. Па му рекоа на Мојсеја: 'Зборувај ни ти, а ние ке слушаме; но да не ни зборува нам Бог, за да не умреме.'
20. А Мојсеј им рече: 'Не плашете се: Бог дојде за да ве испита и стравот Негов да биде во вас, за да не грешите.'
21. И народот стоеше подалеку, а Мојсеј појде кон мракот, каде што беше Бог.
22. И му рече Господ на Мојсеја: 'Вака кажи му на домот Јаковов и извести ги синовите Израилеви: ‘Вие видовте како Јас зборував со вас од небото.‘
23. Не правете си сами богови сребрени, ниту богови златни, не правете сами за себе.
24. Направете ми жртвеник од земја и на него принесувајте ми жртви сепаленици и жртви спасителни; овци и јунци ваши, на секое место, каде што ке определам да се спомнува името Мое, ке дојдам кај тебе и ке те благословам.
25. Ако ми направиш жртвеник од камен, немој да го ѕидаш со делкан камен; зашто, штом ке повлечеш по него со сечиво, ке го оскверниш.
26. И да не се качуваш по стапалата до жртвеникот Мој, за да не се открие на него голотијата твоја.'

Глава 21

1. А ова се законите, што ке им ги објавиш:
2. 'Ако купиш роб Евреин, шест години нека ти служи, а седмата нека си оди слободен, без откуп;
3. ако дошол сам, сам нека си оди; а ако има жена, нека оди и жената со него;
4. ако, пак, неговиот господар му дал жена, и таа му родила синови или керки, жената и децата нека останат на господарот негов, а тој нека си оди сам;
5. но, ако робот одговарајки, рече: 'Го сакам господарот мој, жената моја, и децата мои; не сакам да одам и да бидам слободен.'
6. тогаш таквиот господарот негов нека го доведе пред судот Божји и нека го постави пред вратата или на прагот и таму господарот негов да му го продупчи увото со шило, та да му остане вечен роб.
7. Ако некој ја продаде керката своја за робинка, таа да не си оди како што одат робинките;
8. ако не му се свиди на годподарот нејзин, за која ветил дека ке ја земе за жена, нека ја отпушти. Но нема право господарот да ја продаде на ту народ, кога сам ја отфрлил;
9. ако, пак, ја свршил за синот свој, нека и' го даде правото, што го имаат керките;
10. ако земе друга за себе, првата не смее да ја лиши од храна, облека и сопружничка должност.
11. Не и' направи ли една од овие три работи, тогаш нека си оди од него дарум, без откуп.
12. Кој ке удри човек и тој умре, со смрт да се казни.
13. Но, ако тоа не го направи намерно, а Бог допуштил да падне во негови раце, тогаш ке ти определам место, каде што може да побегне убиецот.
14. Ако некој, пак, намерно го нападне својот ближен, со цел да го убие на измама, и се засолни при жртвеникот Мој, одвлечи го и од жртвеникот Мој, за да умре.
15. Кој ке го удри таткото свој или мајката своја, да се погуби.
16. Кој го злоставува таткото свој или мајката своја, со смрт да се казни.
17. Ако некој украде некого од синовите Израилеви и го продаде или се најде во негови раце, откако го заробил, со смрт да заврши.
18. Кога двајца мажи се скараат, па еден од нив удри друг со камен или со тупаница, но тој не умре, туку легне во постела,
19. па, кога ке стане, макар и со стап да се потпира, на оној што удрил нека му е просто; само денгубата да му ја надомести и за лекувањето да плати.
20. А кој ке удри роб свој или робинка своја со стап, и тие умрат од неговата рака, нека биде виновен пред судот;
21. но, ако тие преживеат ден или два, да не е виновен, бидејки тие се негов имот.
22. Кога лу ето се бијат, па некој од нив удри бремена жена, така што таа пометне, не не дојде до смрт, да плати глоба, колку ке определи мажот на жената; а да и' плати колку и' припа а;
23. ако, пак, плодот бил оформен, тогаш нека се даде живот за живот;
24. око за око, заб за заб, рака за рака, нога за нога,
25. изгоретина за изгоретина, рана за рана, повреда за повреда.
26. Ако некој го удри робот свој во окото, или робинката своја во окото, и ги ослепи, да ги пушти на слобода заради окото;
27. или, ако му скрши заб на робот свој, или на робинката своја, да ги пушти на слобода заради забот.
28. Ако вол убоде маж или жена, па умре, волот да се отепа со камења и месото од него да не се јаде; но господарот на волот нема да биде виновен;
29. Но, ако волот бил и порано бодлив, а господарот негов знаел за тоа и не го пазел, па убие маж или жена, волот да се убие со камења, и господарот негов заедно со него да се предаде на смрт.
30. Ако, пак, му се наложи откуп за животот свој, нека плати откуп, колку што ке му се

определи.
31. Син ли прободе или керка, со него да се постапи според истиот закон.
32. Прободе ли, пак, волот роб, или робинка, тогаш на господарот нивни да му се платат триесет сикли сребро, а волот да се убие со камења.
33. Ако некој открие јама, или пак ископа јама и не ја покрие, и падне во неа јунец или осел,
34. сопственикот на јамата треба да ги надомести; на господарот ке му даде сребро, а трупот тогаш ке биде негов.
35. Кога нечиј вол смртно убоде вол на друг човек, и тој умре, тогаш да го продадат волот жив и парите да ги поделат, а исто така да го поделат и убиениот вол;
36. ако, пак, се знаело од порано, дека волот бил бодлив, и му е кажано на господарот негов, а тој не го пазал, да даде вол за вол, а убиениот нека му остане нему.

Глава 22

1. Ако некој украде јунец или овца и ја заколе, или ја продаде, да даде пет јунци за еден јунец и четири овци за една овца.
2. Ако се фати крадец, како поткопува и ранет умре, тоа не се смета за убиство.
3. Но, ако сонцето веке се појавило над него, виновен е за крв. И крадецот штетата мора да ја надомести. А, ако нема ништо, тогаш тој треба да биде продаден за својата кражба.
4. Ако кај фатениот се најде она, што го украл, во неговата рака живо, било осел или овца, да го врати двојно.
5. Ако некој уништи нива, или лозје, пуштајки го добитокот свој да пасе во ту а нива, да ја надомести штетата за целата нива, да надомести со најдоброто од својата нива и најдоброто од своето лозје според плодот од својата нива; ако ја уништи.
6. Ако се појави оган, па тој го зафати трњето, и се запали гумното, или класјето или нивата, оттогаш оној, кој го предизвикал пожарот, да плати.
7. Кога некој му даде на ближниот свои пари или предмети на чување, и тие бидат украдени од домот негов, крадецот, ако се фати, ке плати двојно;
8. во случај, пак, крадецот да не се фати, тогаш сопственикот на куката нека се јави пред Бога, па нека се заколне дека тој не посегнал врз имотот на ближнито свој.
9. За секоја изречена неправда: за јунец, осел, овца, облека, за секој изгубен предмет, за кој некој рече дека е негов, нивниот спор треба да дојде пред Бога: па кого ке го осуди Бог, тој нека му плати на ближниот двојно.
10. Ако некој му даде на чување на ближниот свој осел, или јунец, или овца, или некој друг добиток, и тој добиток пцовиса, или загине, или, пак, биде запленет, а никој да не го види,
11. тогаш ме у нив нека одлучи клетвата пред Господа, дека оној не посегнал врз имотот на својот ближен, и ако сопственикот така го прими, не се надоместува;
12. ако, пак, му биде украден, тогаш нека му плати на сопственикот негов.
13. А ако е изеден од ѕверка, да донесе доказ за тоа и да не плака ништо.
14. Ако некој од ближниот свој добие на услуга - живинче, па тоа загине или пцовиса, или биде загинато, а сопственикот не бил со него, ке мора да се плати;
15. но, ако сопственикот биде со него, да не се плака. Ако бил момок, да го плати само наемот.
16. Кој измамил несвршена девојка, и биде со неа, да ја дарува и да ја заме за жена;
17. а ако таткото нејзин одбие и не сака да му ја даде, да одмери сребро на татка и' колку што следува за мираз на девојката.
18. Вражачи да не оставате живи.
19. Кој ке згреши со добитокот, со смрт да се казни.
20. Кој принесува жртви на други богови, освен на Единиот Господ, со смрт да се истреби.
21. На придојден немој да му правиш неправда, ниту да го угнетуваш, зашто и вие бевте придојдени во земјата египетска.
22. Не навредувајте ни вдовици ни сираци;
23. ако ги навредиш и тие, негодувајки се обрнат кон Мене, ке го чујам повикот нивни,
24. и ке се распали гневот Мој, па со меч ке ве убијам, и жените ваши ке останат вдовици, и децата ваши - сираци.
25. Кога на заем ке дадеш пари на некој сиромашен брат што е при тебе, не присилувај го и не налижувај му лихва.
26. Ако земеш во залог облека од пријателот твој, врати му ја до зајдисонце;
27. оти таа му е покривка, таа му е едина облека на телото негово: со што ке спие? И кога ке повика кон Мене, Јас ке го чујам, бидејки сум милостив.
28. Немој да ги злоставуваш судиите, ни за старешините на твојот народ да не зборуваш лошо.
29. Не воздржувај се да ги принесеш првите плодови од жетвата и лозјето; дај Ми ги првородените од синовите твои.
30. Така и со јунецот твој, и со овцата твоја, и со оселот твој; седум дена нека бидат при

мајката своја, а во осмиот ден дај Ми ги Мене.
31. И ке Ми бидете свет народ. Затоа и месо од растргнато животно да не јадете; фрлај им го на кучињата.'

Глава 23

1. Не примај лажни изјави; не мешај се со неправедни, за да сведочиш криво.
2. Не оди со мнозинството на зло и не согласувај се со мнозинството против правдата, поведувајки се по мнозинството.
3. На сиромавиот со неговиот спор не гледај што е сиромав.
4. Ако сретнеш вол на непријателот, или осел заскитен, одведи го кај него.
5. Ако видиш дека на непријателот твој му паднал оселот под товарот негов, немој да го одминуваш, но да му помогнеш да се крене со него.
6. Немој да ја изврстуваш правдата на сиромавиот твој во спорот негов.
7. Оддалечувај се од неправдата и не убивај невин праведен, бидејќи Јас нема да го оправдам беззаконикот.
8. Не земај подароци, зашто подароците ги заслепуваат очите на оние што гледаат и ги изврстуваат делата на праведните.
9. Не навредувајте и не вознемирувајте придојден: вие знаете каква му е душата на придојдениот, оти и самите бевте придојдени во земјата Египетска.
10. Шест години сеј ја земјата своја и собирај ги плодовите нејзини,
11. а седмата - остави ја нека отпочине, за да се хранат сиромасите на твојот народ; а со она, што ке остане по нив, нека се хранат ѕверовите полски; така прави и со лозјето твое и со маслинарникот твој.
12. Шест дена врши ги работите свои, а во седмиот ден отпочини, за да здивне волот твој и ослето твое, и да се одмори синот на робинката твоја, како и придојдениот.
13. Пазете го сето она, што ви го кажав. Не спомнувајте ги имињата на ту ите богови; ова да не се чуе од устата ваша.
14. Трипати годишно прославувај Ме со празник:
15. пази го празникот Бесквасници; седум дена јади бесквасни лебови, како што ти заповедав, во определеното време во месецот Авив, зашто во тој месец си излегол од Египет; да не се јавуваш пред Мене празен;
16. и празникот на жетвата од првите плодови од твојот труд, што си ги посеал на нивата твоја, и празникот на брањето плодови на крајот од секоја година кога го собираш трудот свој од нивните твои.
17. Трипати преку годината сите твои од машки пол треба да се јавуваат пред Господа, твојот Бог.
18. Крвта од жртвата Моја да не се излива врз леб, и месото од Мојата празнична жртва да не се остава до изутрина, кога ке ги истераш незнабошците од пред тебе и ги прошириш пределите свои.
19. Првите плодови од жетвата на земјата твоја принесувај ги во домот на Господа, твојот Бог. Немој да вариш јагне во млеко од мајката негова.
20. Еве, Јас го пракам пред тебе Ангелот Мој, за да те пази по патот, и да те воведе во земјата што сум ти ја приготвил.
21. Пази се и послушај Го и не противи Му се, оти и Он нема да ви го прости гревот, бидејќи името Мое е во Него.
22. Ако го послушаш гласот Мој и извршуваш се‘ што ке ти заповедам, и го пазиш заветот Мој, ке Ми бидете избран народ ме у сите народи; Моја е целата земја, а вие ке Ми бидете царско свештенство и народ свет. Овие зборови да им ги кажеш на синовите Левиеви, свештениците; и ако го послушате гласот Мој, и ако го извршувате се‘ она што ке ви речам, ке им бидам непријател на непријателите твои и противник на противниците твои.
23. Кога Ангелот Мој ке појде пред тебе и те одведе во земјата на Аморејците, Хетејците, Ферезејците, Хананејците, Гергесејците, Евејците и Јевусејците, и Јас ке ги истребам пред лицето ваше.
24. Немој да им се клањаш на боговите нивни, ни да им служиш, ниту да правиш што тие

праваt, туку урни ги ликовите нивни уништи ги.
25. Служи Му на Господа, твојот Бог, па ке го благословам лебот твој, и виното твое, и водата твоја; и ке отстранам од вас секакви болести.
26. Бездетни и неплодни нема да има во земјата твоја; а ке направам бројот на деновите твои да бидат полни.
27. И ке го пуштам ужасот Мој што те води, и ке го уплашам секој народ, на кој ке наидеш, и ке ги свртам кон тебе грбовите на сите непријатели твои.
28. Ќе пратам пред тебе и стршлени, и ке ги изгонам Аморејците, Евејците, Хананејците, Јевусејците и Хетејците.
29. Нема да ги истерам пред тебе за една година, за да не се запусти земјата и ѕверовите полски да не се размножат против тебе.
30. Малку по малку ке ги изгонувам пред тебе, додека не се намножиш и не завладееш со земјата.
31. И ке ти ја поставам границата твоја од Црвеното до Филистејското Море, и од пустињата до големата река Ефрат, и ке ви ги предадам во рацете оние, кои живеат во таа земја, за да ги истераш пред тебе.
32. Не мешај се со нив, и со боговите нивни да не сврзуваш завет.
33. Да не останат во земјата твоја, за да не те наведат на грев против Мене; зашто, ако им служиш на боговите нивни, тие ке ти бидат соблазан за тебе.'

Глава 24

1. И му рече Бог на Мојсеја: 'Качи се при Господа ти и Арон, Надав и Авиуд и седумдесетте старешини Израилеви и поклонете Му се оддалеку на Господа;
2. и да пристапи Мојсеј сам до Господа, но тие, пак, да не пристапуваат, и народот со нив да не се искачува.'
3. Дојде Мојсеј и му ги повтори на народот сите зборови Божји и сите заповеди. И сиот народ одговори во еден глас, и рече: 'Сите зборови што ги кажал Господ ке ги помниме и ке слушаме.'
4. И ги напиша Мојсеј сите зборови Господови, па станувајки утредента рано, подигна жртвеник под горана, и дванаесет столбови за дванаесетте Израилеви племиња,
5. и прати младичи од синовите Израилеви, и тие принесоа жртви сепаленици и жртви мирни на Господа Бога.
6. Потоа Мојсеј зеде половина од крвта и ја налеа во чаша, а другата половина од крвта ја изли на жртвеникот;
7. па ја зеде книгата на заветот и му ја причита гласно на народот, а тие рекоа: 'Се‘, што рекол Господ, ке правиме и ке бидеме послушни.'
8. Тогаш Мојсеј ја зеде крвта, и го попрска со неа народот, велејки: 'Ова е крвта на заветот, кој го постави Господ со вас за сите оние зборови.'
9. И се искачија потоа Мојсеј и Арон, Надав и Авиуд, и седумдесетте старешини Израилеви горе
10. и го видоа местото каде што стоеше Бог Израилев; а подножјето Негово како да беше од Камен сафир, со сјај како сводот небески по чистота.
11. И не се повреди никој од избраните ме у синовите Израилеви: тие Го видоа местото на Бога, па јадеа и пиеја.
12. И му рече Господ на Мојсеја: 'Качи се при Мене на горана и остани тука; ке ти дадам камени плочи со закон и заповеди, што ги напишав за да им бидат закон.'
13. Тогаш стана Мојсеј со Исуса, неговиот помошник, и се искачија на горана Божја,
14. а на старешините им рекоа: 'Почекајте тука во молчење додека се вратиме при вас; а, ете, Арон и Ор се со нас, па, ако има некој нешто за судење, нека оди при нив.'
15. И се искачи Мојсеј на горана, а облак ја покри планината,
16. и беше слава Господова на горана Синајска; и облак ја покриваше шест дена; а во седмиот ден го повика Мојсеја пред облакот.
17. А славата Господова се гледаше како оган што гори на врвот од горана пред синовите Израилеви.
18. И Мојсеј влезе среде облакот и се качи на горана; и остана таму Мојсеј четириесет дена и четириесет ноки.

Глава 25

1. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
2. 'Кажи им на синовите Израилви да Ми соберат прилог: земете прилог кој од драго срце Ми дава.
3. А прилогот што ке го земете од нив да биде: злато, сребро и бакар;
4. пре а сина, црвена и темноцрвена како вткаен висон и козина;
5. и убави кожи овнешки црвени, кожи сини и дрво ситим;
6. масло за светење, и мириси за маслото за помазание и за мирисно кадило;
7. камења оникс и камења за украсување на ефодот и наградникот.
8. Да Ми направите светилиште, од каде што ке ви се јавувам вам.
9. Се‘, како што ке ти покажам Јас на планината: и образецот на скинијата, и образецот на сите нејзини сосуди - така да направат.
10. Направи ковчег на сведоштвото од дрвото ситим, во должина од два лакта и пол, а во ширина на еден и пол лакот, и во висина еден и пол лакот;
11. и позлати го со чисто злато: позлати го одвнатре и однадвор; направи му златен венец околу врвот;
12. и излиј за него четири алки од злато, и постави ги на четирите негови страни: две алки од едната страна и две алки од другата страна.
13. Направи од дрвото ситим лостови, позлати ги со чисто злато,
14. и провлечи ги лостовите низ алките од обете страни на ковчегот, за да се носи на нив ковчегот;
15. лостовите во алките на ковчегот нека стојат, да не се вадат од нив.
16. А во ковчегот положи ги сведоштвата, што ке ти ги дадам.
17. Направи исто така и очистилиште - поклопец од чисто злато, долго два лакта и пол, а широко еден и пол лакот.
18. И направи два херувима од злато, леани направи ги и постави на двата краја од поклопецот;
19. да се направат херувими: еден од една страна, а втор од друга страна на поклопецот; направи два херувима на обете страни;
20. херувимите да бидат со крилата угоре, та со крилата да го засолнуваат поклопецот, а со лицата свртени еден спроти друг; лицата на херувимите нека бидат свртени кон очистилиштето.
21. И стави го поклопецот одозгора над ковчегот, а во ковчегот положи ги сведоштвата, што ке ти ги дадам Јас:
22. и тука, над поклопецот, ме у двата херувима, кои ке бидат над ковчегот на сведоштвото, ке ти се јавувам тебе и отаде ке ти зборувам тебе и за се‘ ке им заповедам преку тебе на синовите Израилеви.
23. Направи и трпеза од дрвото ситим: долга два лакта, а широка еден лакот, висината да и‘ е лакот и половина.
24. И позлати ја со чисто злато, а направи и златен венец наоколу:
25. и направи пораб и на венецот наоколу исто;
26. а направи за неа и четири алки од злато, и прицврсти ги алките на четирите страни од нејзините четири нозе, под венецот;
27. на страниците нека има алки, за да можат во нив да се стават лостови, па трпезата со нив да се подигнува;
28. направи ги лостовите од дрвото ситим и позлати ги со чисто злато; и со нив ке се крева трпезата.
29. Направи за неа чинии, кадилници, чаши и црпки, со кои ке се врши преливање; а ке ги направиш од чисто злато.
30. На трпезата поставувај ги секогаш лебовите принесени пред Мене.

31. И направи светилник од чисто злато; светилникот нека биде излеан; неговиот столб, неговите гранки и чашки со јаболкца и неговите цветови - и сите тие на него нека бидат;
32. шест гранки нека излегуваат од страните: три гранки од едната страна на светилникот, а три гранки од другата страна на светилникот;
33. три чашки во облик на оревче, со јаболче и цветови нека има едната гранка, и три чашки како бадемов цвет, со јаболче и цветови на другата гранка; и така нека има на шесте гранки, што излегуваат од светилникот,
34. а на самиот светилник нека има четири чашки во вид на орев, јаболкца и цветови;
35. едно јаболче под две гранки, од него, и едно јаболче под другите две гранки, од него, и едно јаболче од другите две гранки, така нека има шест гранки што излегуваат од светилникот, и на светилникот четири чашки во вид на орев.
36. Јаболчињата и гранките нивни од него треба да излегуваат; целиот да биде излеан од чисто злато.
37. И направи му седум кандила, и стави ги кандилата негови да светат од предната негова страна;
38. а и штипките и пепеларките за нив нека бидат од чисто злато направени;
39. од талат чисто злато да ги направиш сите тие сосуди.
40. И гледај да ги направиш според образецот, што ти беше покажан на планината.'

Глава 26

1. 'Направи и скинија од десет платништа: од ткаен висон, од сина, црвена и темноцрвена ткаенина; да направиш и херувими - извезена изработка.
2. Должината на секое платниште нека е дваесет и осум лакти, додека ширината на секе платниште - четири лакти; таа мерка да биде за сите платништа.
3. Петте платништа нека се придржуваат едно со друго, а петте други платништа нека се држат едно со друго.
4. И направи сини врвки по работ на првото платниште, од едната страна за соединување; така направи и по работ на последното платниште: каде што ке се соединуваа двете половини;
5. педесет врвки направи на едно платниште, и песедет врвки направи по работ на другото платниште, каде што ке се соединуваат со следното; да бидат едни спроти други, за да можат да се врзуваат.
6. Направи и педесет кукучки од злато и со кукичките соедини го едното платниште со другито; и така скинијата ке биде целосна.
7. Потоа направи платништа од козина за покривање на скинијата; единаесет такви платништа направи.
8. Едното платниште да е долго триесет лакти, а широко секои платниште, четири лакти; таа мерка да биде за сите единаесет платништа.
9. И соедини ги петте платништа одделно, и шестте платништа одделно; шестото платниште кон влезот во скинијата свиткај го вудве.
10. Направи и педесет врвки по работ на крајот од едното платниште, каде што ке се соединат, и педесет кукички по работ на крајот од второто платниште, каде што ке се соединуваат.
11. И направи кукички педесет од бакар и состави ги кукичките со врвките, па соедини ги платништата, за да биде целина.
12. А остатокот од платништата на скинијата превиткај го, нека биде таа половина спуштена над скинијата од задната страна;
13. остатокот, пак, од должината на платништата на скинијата - лакот од едната страна и лакот од другата страна - нека бидат спуштени од страните на скинијата - од едната и од другата страна, за да ја покриват.
14. И направи покрив над скинијата од кожи овнешки, црвено обоени, како и покривала од сини кожи - одозгора.
15. Направи и столбови за скинијата од дрвото ситим:
16. десет лакти нака биде долг секој столб, а лакот и половина широк еден столб;
17. на секој столб нека има по два клина - еден спроти друг; така направи на секој столб за скинијата.
18. Така направи столбови за скинијата: дваесет столбови од страната што е на југ,
19. а под дваесетте столбови направи четириесет подножја од сребро: две подножја на еден столб за обата краја негови, и две подножја под другиот столб за обата краја негови;
20. и дваесет столбови за другата страна на скинијата, од север,
21. со четириесет подножја сребрени: две подножја на еден столб и две подножја под друг столб.
22. А од задната страна на скинијата - што е од кај морето, направи шест столбови.
23. И направи два столба за аглите на скинијата од задната страна;
24. тие да бидат одоздола, а одозгора да се соединуваат со алка; така нека биде со двете; тие нека бидат за обата агла;
25. и така ке има осум столба со шеснаесет подножја сребрени: по две подножја под еден столб, и по две подножја под друг столб - на обата краја негови.
26. Понатаму направи напречници од дрвото ситим, пет напречни столбови од едната страна

на скинијата,
27. и пет напречници на столбот од другата страна на скинијата, и пет напречници на столбот од задната страна на скинијата, што е кон морето;
28. а средниот напречник да минува преку средината на столбот, од едниот крај до другиот.
29. Столбовите позлати ги со злато, а и алките за нив направи ги со злато, во кои ке со провлекуваат напречниците; па и напречниците да ги позлатиш со злато.
30. Така ке ја направиш скинијата според образецот, што ти беше покажан на планината.
31. И направи завеса од сина, црвена и од темноцрвена ткаенина и ткаен висон, и на неа нека има уметнички извезени херувими.
32. И закачи ја на четирите столба од дрвото ситим, опковани со злато, нивните врвови златни, а нивните подножја - сребрени.
33. Потоа обеси ја зевесата на кукички, и обеси ја така таму завесата до ковчегот на сведоштвото, и завесата ке го одделува светилиштето од свјатаја свјатих.
34. И со завеса покриј го ковчекот на сведоштвото во свјатаја свјатих.
35. Намести и трпеза пред завесата и светилник спрема трпезата, од јужната страна на скинијата, а трпезата постави ја на северната страна.
36. И направи завеса за влезот во скинијата од сина, црвена и темноцрвена ткаенина и од ткаен висон.
37. За таа завеса ке направиш пет столбови од дрвото ситим, опковани со злато и со врвови златни; па ке им излиеш за нив и пет подножја од бронза.

Глава 27

1. Направи и жртвеник од дрвото ситим - пет лакти долг и пет лакти широк; четириаголен да биде жртвеникот и три лакти висок.
2. А на неговите четири агли направи им рогови, така што роговите да излегуваат од него; и опковај ги со бронза.
3. Потоа направи венец на жртвеникот, покров и чаши за темел и кадило; сите садови направи ги од бакар.
4. И направи му огниште од бакар во вид на мрежа, а на огништето од страните четири агли, направи и четири алки од бакар;
5. и стави ги под огништето на жртвеникот, за да зафака огништето до средината на жртвеникот.
6. Направи за жртвеникот лостови, лостови од дрвото ситим, и обви ги со бакар;
7. лостовите да се провлечат низ алките, така што лостовите да излегуваат од двете страни на жртвеникот, за да се носи.
8. Празен ке го направиш од штици, однатре да биде празен; како што ти беше покажано на гората, така да го направиш.
9. Направи и двор на скинијата. На јужната страна направи завеси од ткаенина, и од висон, сто лакти во должина од едната страна;
10. а за двесетте нивни столбови и подножја од бакар - дваесет; кукичките за нивните столбови и врвовите нивни да бидат сребрени.
11. Исто така и од северната страна завесите да бидат сто лакти долги; и дваесет столбови за нив со дваесет подножја до бакар; кукичките нивни и врвовите на столбовите и подножјата нивни посребрени со сребро.
12. А и по ширина на дворот што е од кај морето да има зевеси, долги педесет лакти; со десет столбови и десет подножја за нив.
13. А на предната страна, кон исток, дворот треба да има завеси, од педесет лакти - со столбови десет и нивни подножја десет.
14. Од петнаесет лакти во висина нека бидат завесите од едната страна, и за нив три столба и три подножја под нив;
15. и од другата страна завеси, од петнаесет лакти, во висина со три столба за нив и три подножја под нив;
16. А за вратата на дворот завесата да е дваесет лакти во висина, од сина, црвена и темноцрвана ткаенина и со ткаен висон ишарана; и четири столба за неа, со четири подножја под нив.
17. Сите столбови за тремот наоколу треба да бидат опковани со сребро; и врвовите нивни да им се сребрени, а подножјата од бакар.
18. Во должина дворот да има сто лакти, во ширина по педесет насекаде, додека во висина пет лакти; ткаенина од висон, а подножјето од бакар.
19. Сите направи и сите орудија во скинијата за општа употреба и сите негови колчиња, и сите колчиња на дворот да се од бакар.
20. И заповедај им на синовите Израилеви да ти донесат елеј, маслинов, за горење, без талог, чист, да гори за светење, за да гори секогаш.
21. Ве скинијата на сведоштвото пред завесата, која е над ковчегот на откровението, Арон и синовите негови нека го палат, да гори пред Господа од вечер до утрина. Тоа нека е вечен закон за поколенијата на синовите Израилеви.'

Глава 28

1. А ти земи го при себе Арона, братот твој, со синовите негови, за да Ми свештенодејствуваат; Арон и Надав, Авијуд, Елеазар и Итамар - синовите Аронови.
2. И направи му свети одежди на Арона, братот твој, за чест и слава.
3. И кажи им на сите надарени со ум, кои сум ги исполнил со дух на премудрост и расудување, за да му направат на Арона одежди, со кои ке ми служи во светилиштето.
4. А ова се одеждите што треба да ги направат: наградник, ефод, наметка, везен хитон, кидар и појас. Нека направат свети одежди за Арона, и за синовите негови, во кои ке Ми свештенодејствуваат.
5. Затоа и овие нека земат злато и ткаенина сина, црвена и темноцрвена и висон;
6. па нека направат ефод од висон ткаен, изработка шарено ткаена.
7. На него два нараменика нека има, кои се врзуваат на двата краја, за да се држат заедно.
8. И ткаењето на ефодот, кој е одозгора, нека биде иста изработка: од злато, од ткаенина сина, црвена и темноцрвана и од висон.
9. И земи два камена смарагд, и изрежи ги на нив имињата на синовите Израилеви:
10. шесте имиња нивни на едниот камен, а другите шест имиња на вториот камен, според нивното племе;
11. со помошта на резбар, преку вешт каменорезец, кој длаби печати, ке ги изрежеш на тие два камена имињата на синовите Израилеви.
12. Тие два камена потоа стави ги на нарамениците од ефодот, како камења за сопмен на синовите Израилеви: и Арон нека ги носи имињата на синовите Израилеви пред Господа на обете рамења за нивни спомен.
13. Направи и две рамки од чисто злато,
14. потоа две веришки од чисто злато ишарани, направи ги со цветови, па закачи ги плетените веришки на рамките, од нараменикот нивни однапред.
15. И градник судиски направи, везен, направи го како по составот на ефодот: од злато, од ткаенина сина, црвена и темноцрвана и од висон ткаен направи го;
16. четириаголен да биде, двоен, педа долг и педа широк;
17. нареди по него во четири реда скапоцени камења. Во првиот ред: сад, топаз и смарагд,
18. во вториот ред: антракс, сафир и јаспис;
19. во третиот ред: лигур, ахат и аметист;
20. во четвртиот ред: хрисолит, јаспис и оникс. Опточи ги со злато, а нека бидат поставени во златни рамки, да бидат на својот ред.
21. Тие камења со имињата на синовите Израилеви треба да бидат дванаесет, според имињата нивни: нека бидат врежани како печат, со по едно име од бројот на дванаесетте племиња.
22. И на наградникот стави веришки вити, исплетени од чисто злато.
23. Направи и две алчиња златни за наградникот, и двете алчиња прицврсти ги за двата краја на наградникот,
24. па провлечи ги двете златни веришки низ двете алчиња за краевите од наградникот,
25. а другите два краја од двете веришки закачи ги за двете копчиња и стави ги на нарамениците од ефодот, од предната страна.
26. Направи и уште други две алчиња златни, па стави ги на другите два краја од наградникот, од крај в крај на ефодот назад, одвнатре,
27. а направи и две златни алчиња, и прицврсти ги за двата нараменика на ефодот, одоздола, од неговата предна страна, каде што се соединува, над појасот.
28. Потоа алчињата на наградникот нека се врзат за алчињата на ефодот со сина врвка плетена од волна, та да не се одделува наградникот од ефодот.
29. А Арон нека ги носи имињата на синовите Израилеви преку наградникот судиски над срцето свое кога ке влагува во светилиштето, за спомен пред Бога.
30. А во наградникот судиски стави ги Урим и Тумим; и тие ке бидат на градите Аронови, кога

влегува пред Госдпода; а Арон секогаш ке го носи над градите свои судот на синовите Израилеви пред Господа.
31. Направи и наметка за ефодот, целата сина;
32. одозгора во средината нека има прорез за главата; и нека биде работ на прорезот наоколу опшиен со ширит ткаен, така што наметката да не се реси;
33. и по полите нејзини направи топченца од сина, црвена и темноцрвана ткаенина, и темен висон наоколку, а ме у нив и златни ѕвончиња:
34. ѕвонче златно па топче, ѕвонче златно па топче по полите на наметката насекаде наоколу.
35. Неа ке ја носи Арон, кога ке служи, за да се слуша гласот од неа кога ке влегува во светилиштето пред лицето на Господа, а и кога излегува, та да не умре.
36. А направи и плочка од чисто злато, и на неа изрежи како на печат 'Светиња Господова',
37. и да ја поставиш на сина ткаенина за кидарот, да стои од предната страна на кидарот;
38. да биде на челото Ароново, та Арон на себе да ги презема гревовите на приносите, што ги посветуваат синовите Израилеви од сите дарови, што му се принесуваат тие; и така, таа нека биде секогаш наАроновото чело, за да бидат тие секогаш примени од Господа.
39. Направи и хитон од висон, и кидар од висон; а појасот направи го везен.
40. И на синовите Аронови направи им хитони, направи и кидари, и превивки за главата направи им, за чест и слава.
41. Во тоа облечи го Арона, братот твој, и синовите негови со него; помажи ги, исполни им ги рацете, и освети ги, за да ми бидат свештеници.
42. А направи им и долна облека од лен, да се покрие голотијата од телото нивно, од крстот до бедрата, нека биде,
43. и да ги носи Арон, и синовите негови, кога влегуваат во скинијата на сведоштвото, или кога пристапуваат кон жртвеникот за служба во светилиштето, за да не навлечат грев и не умрат. Тоа е вечен закон за него и за потомството негово по него.'

Глава 29

1. 'А еве што да направиш над нив, за да ги посветиш за Мои свештеници да Ми свештенодејствуваат: земи теле од говедата и два овна здрави,
2. и весквасни лебови, замесени со масло, и питки бесквасни намачкани со масло; од брашно пченично направи ги.
3. Стави ги во една кошница, и принеси ги во кошницата, заедно со телето и двата овна.
4. Доведи го Арона и синовите негови пред влезот на скинијата на сведоштвото, и измиј ги со вода.
5. А откако ке ги земеш светите одежди, облечи го Арона, братот твој, во хитон и во ефод, со ефодот и со наградникот и опаши го преку ефодот;
6. стави му ги на глава кидарот, а на кидарот прицврсти го венецот на светоста.
7. И земи елеј за помазание, излеј на главата негова и помажи го.
8. Потоа доведи ги синовите негови и облечи ги во хитоните.
9. И опаши ги со појаси, и стави им ги кидарите на главата, па свештенството нека им припа а вечно. Така ке ги посветиш рацете на Арона и на неговите синови.
10. Потоа доведи го телето пред врата на скинијата на сведоштвото, и Арон и синовите негови нека ги положат рацете свои врз главата на телето, пред Господа.
11. И заколи го телето пред Господа, при вратата во скинијата на сведоштвото,
12. и земи крв од телето и со твојот прст помажи ги роговите на жртвеникот, а остатокот од крвта, сета излиј ја во подножјето на жртвеникот.
13. Потоа земи го сиот лој што ја обвива внатрешноста, кошулката на црниот дроб и обата бубрега со лојот околу нив, и запали ги на жртвеникот.
14. А месото од телето, кожата негова и нечистотиите изгори ги на оган надвор од таборот. Тоа е жртва за гревот.
15. Потоа земи го едниот овен, и Арон и синовите негови нека ги положат рацете свои врз главата на овенот;
16. па заколи ги, земи крв од него и со неа полиј го жртвеникот од сите страни;
17. овенот, пак, исечи го на делови, измиј ја внатрешноста и нозете негови во вода, и стави ги расечените делови со главата,
18. и изгори го целиот овен на жртвеникот. Тоа е жртва сепаленица пред Господа за мирис благопријатен, жртва на Господа.
19. Земи го потоа и другиот овен, та Арон и синовите негови нека ги положат рацете свои на главата на овенот;
20. заколи ги и земи од неговата крв, па помажи го со неа крајчето од десното уво на Арона, и крајчето на десната рака на Арона, и крајчето и крајот од десното уше на синовите негови, а и палецот на десната рака нивна, и палецот од десната нога нивна; а со крвта, што ке преостане, попрскај го жртвеникот од сите страни.
21. Потоа земи од крвта, што е на жртвеникот и елеј за помазание, и попрскај го Арона и одеждите негови, и синовите негови и одеждите нивни - па ке бидат осветени тој и одеждите негови, и синовите негови и одеждите на синовите негови со него; крвта од овенот излиј ја веднаш на жртвеникот наоколу.
22. Освен тоа, земи лој од овенот и лојта што ја обвива внатрешноста негова, како и кошулката од црниот дроб и обата бубрега и лојта што е на нив, и десната плешка; тоа е овен за посветување;
23. и еден леб со масло, и една питка од кошницата со бесквасни лебови, приложена пред Господа.
24. Сето тоа стави го врз рацете на Арона и врз рацете на синовите негови, и принеси го тоа пред Господа како жртва приносна со подигање.
25. Потоа земи им го тоа од рацете нивни, и принеси го на жртвеникот, над жртвата сепаленица, за да биде мирисот благопријатен пред Господа: тоа е принос пред Господа.

26. И земи ги градите од овенот за Ароновото посветување и донеси ги како жртва приносна пред Господа - и тоа ке биде твој дел.
27. Така ке ги осветиш градите како жртва вратена и плешките како жртва вознесена, што се оддели од ованот на приносот отсечена за посветување на Арона и на синовите негови;
28. и тоа нека биде за Арона и за синовите негови вечен закон од синовите Израилеви, бидејки тоа е вознесение; тоа вознесение треба да го прават синовите Израилеви при благодарствените жртви; нивното вознесение е дар за Господа.
29. А светите одежди Аронови по него нека преминат на синовите негови, за да бидат во нив помазувани и во нив да се посветуваат за свештеници.
30. Седум дена нека се облекува во нив великиот свештеник, оној, кој на неговото место ке биде свештеник од синовите негови, кој ке влегува во скинијата на сведоштвото за да служи во светилиштето.
31. А овенот за посветување земи го и месото негово свари го на светото место;
32. и Арон и синовите негови нека го изедат месото од тој овен со лебовите од кошницата при влезот во скинијата на сведоштвото.
33. Нека јадат од она што послужило за нивното посветување, рацете да им бидат исполнети со власт и да бидат посветени; но човек друг да не јаде, зашто тоа е света работа;
34. а и ако остане нешто од месото на жртвата за посветување, или од лебовите до изутрина, остатокот изгори го на оган; тоа не треба да се јаде, зашто е осветувано.
35. И направи така со Арона и со синовите се‘ онака како што ти заповедав. Седум дена посветувај ги рацете нивни.
36. Теле заради гревовите да принесуваш во денот на очистувањето; и да го очистиш жртвеникот, кога осветуваш на него, и помажи го за да биде осветен.
37. Седум дена ке го очистуваш жртвеникот и ке го осветуваш, и жртвеникот ке бидеа свјатаја свјатих; секој што ке се допре до жртвеникот, ке се освети.
38. А еве што ке принесуваш на жртвеникот: две јагниња здрави од една година, секој ден на жртвеникот жртва без прекин.
39. Едното јагне принесувај го наутро, а другото принесувај го навечер;
40. и уште по една десетина ефа пченично брашно измешано со четврт ин масло, а за преливање - четврт ин вино, за едно јагне;
41. а другото јагне принесувај го навечер: како утринската жртва, и со се‘ за преливање принесувај го, за да биде мирисот благопријатен принос на Бога.
42. Тоа нека биде постојана жртва во поколенијата ваши пред вратата од скинијата на сведоштвото пред Господа, каде што ке ти се јавувам, за да зборувам со тебе.
43. И таму ке им се јавувам на синовите Израилеви, и ке се осветува местото со славата Моја.
44. А ке ги осветам скинијата на сведоштвото и жртвеникот; и Арона и синовите негови ке ги осветам, за да Ми свештенодејствуваат.
45. Ке пребивам ме у синовите Израилеви и ке им бидам Бог,
46. и ке познаат дека Јас сум Господ, Бог нивни, Кој ги изведов од земјата Египетска за да пребивам ме у нив. Јас сум Господ, Бог нивни.'

Глава 30

1. 'Направи и жртвеник за кадење, од дрвото ситим направи го:
2. должината нека му биде лакот, а ширината лакот, четвороаголен да биде, и два лакта висок; од него нека излегуваат роговите негови;
3. позлати го со чисто злато огништето негово одозгора, од страните наоколу, и роговите негови; направи му плетен венец и златен наоколку;
4. под венецот на двата агли негови направи и две алки од чисто злато на обата агла; низ нив проври лостови, за да може да се носи;
5. лостовите направи ги од дрвото ситим, и позлати ги со злато.
6. Па стави го спреме завесата, која виси пред ковчегот на сведоштвото, од каде што ке ти се јавувам тебе.
7. А Арон нека кади на него со кадиво направено благопријатно; нека кади над него, кога ја приготвува кадилницата.
8. И кога ке ги пали Арон кандилата навечер, нека кади над него; нека има постојано кадење пред Господа во поколенијата нивни.
9. Не принесувај над него никакво друго кадиво, ни жртви, ниту приноси, ни преливање не изливајте над него.
10. Арон еднаш во годината нека врши очистување над роговите негови; со жртва за очистување на гревовите негови; со жртва за очистување на гревовите нека се врши очистување во поколенијата нивни, зашто тоа е свјатаја пред Господа.'
11. И уште му рече Господ на Мојсеја, велејки:
12. 'Кога ке ги пребројуваш синовите Израилеви, при вршење преглед, секој нека даде на Господа откуп за душата своја, при нивниот преглед, и нема да има недостаток;
13. а ова е, оние што ке доа аат за пребројување нека даваат по половина дидрахма, според светата дидрахма: во таа дидрахма има дваесет обалии; а половината дидрахма е принос на Господа.
14. Сите што доа ааат на пребројување, а имаат по дваесет години и нагоре, треба да даваат прнос на Господа.
15. богатити да не дава повеке, а сиромавиот да не дава помалку од половина дидрахма, кога даваат принос на Господа кога се молите за откуп на душите ваши.
16. А, откако ке го собереш откупеното сребро од синовите Израилеви, употребувај го за оддржување на скинијата на сведоштвото. Тоа ке им биде на синовите Израилеви спомен пред Господа за откуп кога се молите за душите ваши!'
17. И уште му рече Господ на Мојсеја, велејки:
18. 'Направи и мијалник од бакар и подножјето негово нека е од бакар, за миење; постави го ме у скинијата на сведоштвото и жртвеникот и налеј вода во него;
19. и Арон и синовите негови од него нека ги мијат рацете свои и нозете свои со вода;
20. кога влегуваат во скинијата на сведоштвото, нека се мијат со вода, и нема да умрат, или кога пристапуваат кон жртвеникот, да Му служат и да Му принесуваат на Господа жртва сепаленица;
21. тегаш нека ги мијат рацете свои и нозете свои, за да не умрат кога влегуваат во скинијата на сведоштвото. Тоа нека им биде наредба вечна, нему и на потомството негово по него.'
22. Му рече Господ уште на Мојсеја, велејки:
23. 'Земи мириси најубави: цвет смирна чиста - петстотини сикли, миризлива канела половина од тоа - двесте и педесет, и трстика миризлива - исто така двесте и педесет,
24. касија - петстотини сикли, според светата сикла, и елеј маслинов еден ин;
25. и од тоа направи елеј миро за свето помазание; мирото за свето помазание да биде направено со умешноста на мироварец; тоа нека биде- миро за свето помазание.
26. Со него помажи ја скинијата на сведоштвото и ковчегот на скинијата на сведоштвото
27. и сите сосуди нејзини, и светилникот и сите сосуди негови, и жртвеникот за кадење;

28. и жртвеникот, на кој се принесува жртва сепаленица, и сите негови сосуди, и трпезата и сите нејзини сосуди, и мијалникот и подножјето негово.
29. Така ке ги осветиш, па ке станат свјатаја свјатих и се‘ што ке се допре до нив, ке се освети.
30. Помажи го и Арона и синовите негови, и посвети ги, за да Ми свештенодејствуваат.
31. А на синовите Изарилеви кажи им: овој елеј за помазание нека Ми биде свето миро; за свето помазание на поколенијата ваши.
32. Телото на обичен човек нека не се помазува со него, и не правете за себе такво миро какво што е ова. Тоа е осветено и нека ви остане светост.
33. Ако некој направи такво миро, или помаже друг со него, нека биде истребен од народот свој.'
34. И му рече Господ на Мојсеја: 'Земи благопријатни мириси: стакта, оникс, халан миризлив, и ливан чист, од сите работи во еднакви делови,
35. и од нив направи кадиво, миро варено, со умешноста на мироварец, чисто и свето.
36. Па, откако ке го истолчиш ситно, ставај од него пред откровението во скинијата на сведоштвото, каде што ке ти се јавувам; тоа нека ви биде голема светост - кадиво.
37. А такво кадиво, какво што ке го направиш, немојте да правите за себе; тоа нека ви биде светост пред Господа.
38. А, ако некој го направи тоа, за да кади со него, нека биде истребен од народот свој.'

Глава 31

1. И му рече Господ на Мојсеја велејки:
2. 'Ете, го определив по име Веселеил, син на Урij, синот Оров, од племето Јудино;
3. и го исполнив преку Духот Божји, Кој му даде умешност, како и знаење да разбира од секакви работи,
4. да гради, да изработува со злато, сребро и бакар; и сина и црвена и темноцрвена волна - ткаени изработки и висон ткаен;
5. да реже камења, да прави дрвени изработки, за секакви потреби.
6. И, ете, го дадов Елијав, синот на Ахисамах, од племето Даново; и на сите способни лу е им дадов разум да се потврдат да направат се‘ како што ти заповедав:
7. Скинијата на сведоштвото, и ковчегот на заветот, и очистилиштето над него, и сите работи во скинијата и жртвеникот и трпезата со нејзините садови;
8. и трпезата, и светилникот од чисто злато со сите принадлежности негови, и кадилниот жртвеник;
9. жртвеникот за жртви сепаленици со сите потреби негови, и мијалникот и подножјето негово;
10. и одеждите на Арона за служење и одеждите на синовите Аронови, со кои ке ми свештенодејствуваат;
11. елејот за помазание, и кадивото благопријатно свет состав за светилиштето - се‘ нека направат така, како што ти заповедав.'
12. И пак му рече Господ на Мојсеја, велејки:
13. 'Кажи, заповедај им на синовите Израилеви: пазете ги саботите Мои, зашто тоа е знак ме у Мене и вас од колено до колено, за да знаете дека Јас сум Господ, Кој ве осветува.
14. Пазете ја, пак, саботата, оти таа е света за Господа и за вас. Кој ке ја оскверни, да се погуби; бидејки секој, кој ке врши некаква работа во тој ден, таа душа нека се истреби од народот свој.
15. Шест дена нека се работи; а седмиот ден е сабота, одмор, свет на Господа; секој, кој ке работи во саботен ден, нека се предаде на смрт.
16. Затоа синовите Израилеви нека ги пазат саботите, празнувајки ги во родовите свои.
17. Тоа е знак ме у Мене и синовите Израилеви довека; зашто во шест дена ги создаде Господ небото и земјата, а во седмиот ден се отпочина и се одмори.'
18. И кога престана да зборува со Мојсеја на планината Синајска, му даде две плочи на сведоштвото, Божји.

Глава 32

1. А народот кога виде дека Мојсеј долго време не слегува од планината, се собра пред Арона,
и му рече: 'Стани и направи ни богови што ке одат пред нас, зашто не знаеме што се случи со
оној човек - со Мојсеја, кој не‘ изведе од земјата Египетска.
2. Арон им рече: 'Извадете ги златните обетки од ушите на вашите жени и керките ваши, и
донесете ми ги!'
3. И сите ги извадија златните обетки, што им беа на ушите на жените нивни, и му ги донесоа
на Арона.
4. А тој, откако ги зеде од рацете нивни, ги растопи во калапи и од нив излеа теле. И рекоа:
'Еве ги, Израиле, твоите богови, што те изведе од земјата Египетска.'
5. А кога го виде тоа Арон, направи жртвеник спроти него, и изјави и рече: 'Утре е празник на
Господа.'
6. Утредента, станувајки рано, принесе жртви сепаленици и жртва за спасение; и испоседна
народот, та јадеа и пиеја, и потоа станаа да играат.
7. И му рече Господ на Мојсеја: 'Оди поскоро и слези долу, зашто народот твој, кого го изведе
од земјата Египетска, појде по пат на беззаконие.
8. Брзо се отклонија од патот, кој им го определи; си направија теле, и му се поклонија, па му
принесоа жртви, и рекоа: ‘Ова се, Израиле, товите богови што те изведоа од земјата
Египетска.‘
9. И му рече Господ на Мојсеја: гледам дека оној народ е тврдоглав, но сега остави да се
разгори гневот Мој против нив и да ги истребам;
10. а од тебе ке направам народ голем.'
11. А Мојсеј, се помоли пред Господа Бога, и рече: 'Зошто се разгорува, Господи, гневот Твој
против народот Твој, кого го изведе од земјата Египетска со сила голема и рака цврста?
12. Зошто Египтјаните да зборуваат и да речат: ‘За зло ги изведе, за да ги убие по планините и
да ги истребеи од земјата?‘ Нека се смири гневот Твој; и биди милостив поради злобата на
народот Твој.
13. Сети се на Авраама, Исака и Јакова, слугите Твои, на кои им рече, велејки: ‘Ке го умножам и
преумножам потомството ваше колку множеството ѕвезди на небото, и сета оваа земја, за која
си рекол дека ке му ја дадеш на потомството ниво вечно да ја владеат.‘
14. И Господ се смилува и не му направи зло на народот Свој, како што беше ветил.
15. Тогаш се врати Мојсеј, слегувајки од планините; во рацете му беа двете плочи на
сведоштвото, испишани од двете страни: и на едната страна и на другата страна беше
напишано.
16. Плочите беа дело Божјо, и писмото, писмо Божјо, врежано на плочите.
17. А Исус, кога го чу гласот на народот што викаше, му рече на Мојсеја: 'Борбен повик е во
таборот.'
18. Но тој одговори: 'Не е тоа вик на победници, ниту, пак, пискот на победени; туку слушам
глас на пијани од вино.'
19. А кога приближи до таборот и го виде телето и игрите, и се разгневи Мојсеј: па ги фрли од
рацете свои обете плочи, и ги скрши во подножјето на планината.
20. Потоа ги зеде телето, што го беа направиле, и го изгори во оган и го претвори во прав, а
правта ја истури во водата, и им даде од неа да пијат синовите Израилеви.
21. И му рече Мојсеј на Арона: 'Што ти направи овој народ, та го наведе на толку голем грев?'
22. А Арон му рече на Мојсеја: 'Не гневи се, господару мој; ти знаеш за што е склон овој народ.
23. Тие ми рекоа: ‘Направи ни бог што ке оди пред нас; Мојсеј е човекот што не‘ изведе од
Египет, но не знаеме што стана со него, со оној кој не‘ изведе од земјата Египетска.‘
24. А јас им реков: ‘Кој има злато, нека го извади од себе.‘ И го извадија и го донесоа, а јас го
фрлив во оган, и го излеав ова теле.'
25. Кога виде Мојсеј дека тој народ станал необуздан - бидејки Арон беше допуштил да падне

во распојасаност за радост на непријателите свои,
26. застана Мојсеј на вратата од таборот, и рече: 'Кој е Господов, нека дојде при мене!' И се собраа кај него сите синови Левиеви.
27. И тој им рече: 'Еве што вели Господ, Бог Израилев: опашете го секој својот меч на бедрото свое, и појдете по таборот, па навратете од врата до врата, и секој нека го убие братот свој, ближниот свој и соседот свој.
28. И постапија синовите Левиеви според заповедта Мојсеева: и во тој ден изгина народ до три иљади души.
29. И Мојсеј им рече: 'Денес Му ги посветивте рацете свои на Господа за служба: кој на синот свој, кој на братот свој, за да ви даде денес благослов.'
30. А утредента му рече Мојсеј на народот: 'Направивте голем грев; и сега ке појдам горе при Бога, за да молам да ви се прости вашиот грев.
31. И се врати Мојсеј при Господа, и рече: 'Ти се молам, Господи, овој народ направи голем грев, оти си направи бог од злато.
32. И сега прости им го гревот нивни; ако ли, пак, не, тогаш избриши ме и мене од книгата Твоја, во која си ме запишал.'
33. А Господ му рече на Мојсеја: 'Оној, што згрешил пред Мене, него ке го избришам од книгата Моја.
34. Но сега оди, слези и поведи го тој народ во местото, каде што ти реков. Еве, Мојот Авгел ке оди пред тебе, а кога ке ги посетам, на нив ке го навртам гревот нивен.'
35. И го порази Господ народот, затоа што направеното теле го излеал Арон.

Глава 33

1. И му рече Господ на Мојсеја: 'Крени се оттука ти и твојот народ, кого го изведе од земјата Египетска и оди во земјата, за која му се заколнав на Авраама, Исака и Јакова, велејки: на потомството ваше ке му ја дадам;
2. и ке испратам пред тебе Ангел Мој, а Он ке ги изговни Хананејците, Амаорејците, Хетејците, Ферезејците, Гергесејците, Евејците и Јевусејците:
3. и ке те воведам во земјата, каде што тече мед и млеко; Самиот нема да одам со тебе, за да не те погубам по патот, бидејки сте вие тврдоглав народ.'
4. А народот кога го чу тој страшен збор, се расплака, во жални облеки.
5. Оти Господ му беше рекол на Мојсеја: 'Кажи им на синовите Израилеви: вие сте тврдоглав народ; внимавајте да не наведам на вас друга мака и да ве истребам; а сега соблечете ги од себе свечените облеки и накитот свој, а Јас ке ви покажам што ке направам со вас.'
6. И ги извадија накитите и облеките од себе синовите Израилеви на планината Хорив.
7. А Мојсеј го зеде шаторот свој, и го распна надвор од таборот, и се нарече скинија на собранието; и секој што Го бараше Господа, доа аше кај скинијата на собранието, која се нао аше надвор од таборот.
8. И кога Мојсеј влегуваше во скинијата сиот народ стоеше на вратата од својот шатор, и гледаше по Мојсеја, додека не влезе во скинијата.
9. А кога Мојсеј влегуваше во скинијата, се спушташе столб од облак и се задржуваше пред вратата на скинијата, додека Господ зборуваше со Мојсеја.
10. И сиот народ го гледаше столбот од облак, кој стоеше пред вратата на скинијата; и сиот народ стануваше, и секој се клањаше пред влезот на својот шатор.
11. И тогаш, Господ зборуваше со Мојсеја лице в лице, како што човек зборува со пријател свој. Потоа Мојсеј се вракаше во таборот, а помошникот негов Исус, синот Навинов, младич, не излегуваше од скинијата.
12. И му рече Мојсеј на Господа: 'Ете, Ти ми велиш: ‘изведи го тој народ, и не ми јави кого ке пратиш со мене, иако ми рече: ‘Јас те знам по името и ти најде милост пред Мене.‘
13. Па, ако, сум нашол милост пред Тебе откри ми се да Те разберам, та и понатаму да најдам милост пред Тебе, и да узнаам дека овие лу е се Твој голем народ.'
14. И му рече Господ: 'Јас Самиот ке врвам пред тебе, и ке те успокојам.'
15. А Мојсеј му рече: 'Ако Ти Самиот не пojдеш со нас, тогаш не изведувај не‘ одовде,
16. оти, по што ке познаеме дека јас и народот Твој сме нашле милост пред Тебе, освен по тоа што Ти одиш со нас? И ке се прославам јас и народот Твој повеке од сите народи што се на земјата.'
17. И Господ му рече на Мојсеја: 'Ќе го направам и тоа, што го кажа, зашто ти најде милост пред Мене, и те познавам повеке од сите.'
18. Пак рече Мојсеј: 'Покажи ми ја славата Своја.'
19. Му одговори: 'Ќе одам пред тебе со Моја слава, и ке те повикам во името Мое: Господ е пред тебе, и кој е за помилување, ке го помилувам, а кој е за утешение - ке го утешам.'
20. И потоа рече: 'Но лицето Мое не ке можеш да го видиш, зашто не може човек да Го види лицето Мое и да остане жив.'
21. И пак рече Господ: 'Ене место при Мене, застани на онаа карпа!
22. А кога ке помине славата Моја, ке те ставам во пукнатината на карпата, и ке те засолнам со раката Своја, додека не поминам;
23. а кога ке ја кренам раката Своја, ти ке ме видиш од кон грбот, но лицето Мое не ке ти се открие тебе.'

Глава 34

1. И му рече Господ на Мојсеја: 'Изделкај за себе две плочи од камен, како што беа првите, и искачи се кај Мене на планината, а Јас ке ги напишам на плочите зборовите, кои беа на првите плочи, што ти ги скрши.
2. И биди готов за утре, и качи се горе на планината Синај, и застани пред Мене, на врвот од планината.
3. Но никој нека не се искачува со тебе, ниту да се појавува по целата планина; дури ни овци ни говида да не пасат близу планинава.'
4. И изделка две плочи од камен, како што беа првите, и стана порано Мојсеј утредента рано, па се искачи на планината Синај, како што му заповеда Господ: и ги зеде со себе двете камени плочи.
5. А Господ слезе во облак, и застана пред Него, и го возгласи името Господово.
6. Потоа помина Господ покрај лицето негово и извика: 'Господ, Господ, Бог штедар и милостив, долготрпелив, многумилостив и вистински!
7. Кој ја чува правдата и покажува милост на иљадници, Кој проштава беззаконија, неправди и гревови, Кој виновни не очистува, Кој за гревовите на татковците ги казнува децата - дури и внуците до третото и четвртото колено.'
8. А Мојсеј побрза, падна наземи и се поклони на Бога;
9. и рече: 'Ако сум нашол милост пред Тебе, Господи, нека оди Господ мој со нас, бидејки овој народ е тврдоглав; прости ни ги гревовите наши и беззаконијата наши и ке бидеме Твои.'
10. Му одговори Бог на Мојсеја: 'Еве ти поставувам завет тебе: пред целиот народ твој ке извршам чудеса какви што не биле направени по целата замја и при ниеден народ; и ке ги видиш сите лу е, ме у кои си и ти, дека се чудесни што ке ти ги направам тебе.
11. Пази го се‘ она, што ти го заповедам тебе; еве, Јас ке ги изгонам пред лицето ваше Аморејците, и Хананејците, и Хетејците, и Ферезејците, и Евејците и Евусејците;
12. внимавај да се се сојузуваш со оние, кои живеат во земјата, во која ке влезеш, да не станат соблазни за вас,
13. туку жртвениците нивни урнете ги, и идолите нивни скршете ги; и излеаните богови нивни во оган изгорете ги.
14. И не клањајте се на други богови освен на Господа, бидејки името Негови е ревниво; Он е Бог ревнител.
15. Не стапувај во сојуз со жителите на таа земја, та, кога ке се оддаваат на блуд за своите богови и им принесутваат жртва, да не то поканат и тебе да јадеш од нивите жртви.
16. И не земај им од керките нивни жени за своите синови, ниту од керките свои за нивните синови, та да ни би и керките твои, вршејки блуд за боговите ниви, да ги натераат и синовите твои на блуд за боговите нивни.
17. Не прави за себе лиени богови!
18. Пази го празникот Бесквасници: седум дена јади бесквасен леб, како што ти заповедав, во определено време во месецот авив, зашто во тој месец си излегол од земјата Египетска.
19. Се‘ што отвора утроба, Мое е, како и секое првородено од говедата твои, и секое провородено од овците.
20. Но првороденото од ослите замени го со овца; ако не го замениш, тогаш откупи го; а секое првородено ме у синовите твои, откупи го; да не се појавуваш пред Мене празен.
21. Шест дена работи, а во седмиот ден отпочини се: и од орањето и од жнеењето отпочини;
22. установи празник на седмиците и празник преку летото;
23. трипати во годината секое машко ме у вас да се јавува пред Господа Бога Израилев,
24. кога Јас ке ги истерам народите од пред тебе, и ке ги проширам границите твои, и никој нема да ја пожела земјата твоја, ако се јавуваш пред лицето на Господа, твојот Бог, трипати во годината.
25. Немој да ја мешаш крвта со жртвите Мои на квасен леб, и жртвата за празникот Пасха да

не пренокева до изутрина.
26. Првите плодови од првиот род на земјата твоја принесувај ги во домот на Господа, твојот Бог; немој да вариш јагне во млекото од мајката негова!'
27. А му рече уште Господ на Мојсеја: 'Напиши ги за себе овие зборови, зашто со тие зборови склучувам завет со тебе и со Израилот.'
28. И остана Мојсеј таму пред Господа четириесет дена и четириесет ноки, на јадејки леб и не пијки вода; и ги напиша врз плочите зборовите на Заветот, Десетте заповеди.
29. Кога Мојсеј слезе од планината Синајска, ги држеше во рацете свои двете плочи, но слегувајки од планината, Мојсеј не знаеше дека кожата на лицито му зрачи кога Бог разговараше со Него.
30. И бидејки Арон и сите синови Израилеви го видоа Мојсеја дека лицето му зрачи, се плашеа да се приближат до него.
31. Но Мојсеј ги повика, и тие пристапија кон него, Арон и сите поглавари на народот, и Мојсеј говореше со нив.
32. Потоа дојдоа кај него сите синови Израилеви, и тој им заповеда се‘ што му рече Господ на планината Синај.
33. А кога Мојсеј престана да зборува со нив, го покри сицето свое со покривало.
34. Но кога Мојсеј излегуваше пред лицето на Господа, за да зборува со него, го креваше покривалото, дедека не излезеше; а штом ке излезеше, им кажуваше на синовите Израилеви се‘ што му беше заповедал.
35. Тогаш синовите Израилеви го гледаа лицето Мојсеево како зрачи; Мојсеј, пак, го покриваше лицето свое со покривало додека пак не влезеше да зборува со Него.

Глава 35

1. Потоа го собра Мојсеј целото општество на синовите Израилеви, и им рече: 'Еве што заповеда Господ да правите:
2. шест дена да се работи, и седмиот ден да ви биде одмор, зашто е света сабота, почивка на Господа; секој што ке работи во тој ден, со смрт да се казни;
3. во ден саботен да не палите оган нигде во жилиштата ваши, Јас сум Господ.'
4. И уште му рече Мојсеј на целото општество на синовите Израилеви: 'Еве што заповеда Господ:
5. соберете поме у вас принос на Господа, секој што од срце дава, нека донесе принос, доброволно нека принесе принос на Господа; злато, сребро и бакар.
6. сина, црвена и темноцрвена ткаенина, двојно предена, висон ткаен и козина;
7. и кожи овнешки, црвени, кожи сини и дрво ситим;
8. масло за светење, и мириси за елеј за помазание и мирисно кадило;
9. и камен сардиски, и камења за украсување на ефодот и за наградникот.
10. И сите, кои се ме у вас мудри по срце, нека дојдат да направат се‘ што заповедал Господ:
11. Скинијата, завесите и покривот негов, кукичките негови и штиците, напречниците негови, столбовите негови и подножјата негови;
12. и ковчегот на сведоштвото, и столбовите негови, и завестата на дворот и столбот негов, и камењата смарагдови и мирис.
13. Трпезата и лостовите нејзини, и лебовите за принос; и жртвеникот и сите сосуди нејзини;
14. светилникот за осветление со приборот негов и кадилата негови, и масло за осветление;
15. и кадилниот жртвеник, и лостовите негови, и елеј за помазание, и кадило миризливо, и завесата на вратата од скинијата;
16. жртвеникот за сепаленици, и огништата негови од бакар, лостовите негови и сите сосуди за него, и мијалникот и подножјето негово.
17. Завесите за дворот, столбовите негови и подножјата нивни, и завесите од вратата на дворот;
18. ковчезите за скинијата, и колчињата за дворот со јажињата нивни;
19. одеждите свети за служба во светилиштето, и светите одежди на свештеникот Арон, и одеждите на синовите негови за свештеничка служба, и елејот за помазание и кадило миризливо.'
20. Потоа целото општество на синовите Израилеви се повлече од Мојсеја.
21. И секој, кој принесе што му срце сакаше срцето го влечеше и душата го поттикнуваше, доа аше, носејки принос на Господа - учеството за градење на шаторот на садови, за секоја служба во него и за сите одежди на светилиштето;
22. доа аа мажи и жени; сите, што срцето ги влечеше, принесуваа печати, алчиња, обетки, прстења и веришки, секакви златни работи; секој, кој сакаше, принесуваше злато на Господа;
23. и секој, кој имаше сина, црвена и темноцрвена ткаенина и висон ткаен, кожи овнешки, црвени, и кожи сини, кожи козји принесуваа;
24. и секој, кој донесуваше сребро или туч, Му Го принесуваше како дар на Господа; и кој имаше дрво ситим, го принесуваше за секоја потреба.
25. А секоја жена, мудра и вешта во рачно предење со своите раце и принесуваа се‘ што ке испредеа - пре а сина, црвена и темноцрвена и препредена;
26. секоја пак, жена, што ке наумеше поради умешноста нејзина, предеше козина.
27. А старешините принесуваа камен оникс и камења за украсување на ефодот и на наградникот;
28. исто така и масло за осветление и мириси за елеј за помазание и за кадило мирисно!
29. И така синовите Израилеви - сите мажи и сите жени, што ке им дојдеше на ум да принесат што и да е за делото, што заповеда Господ преку Мојсеј да се направи, принесоа доброволен дар на Господа.

30. Тогаш им рече Мојсеј на синовите Израилеви: 'Ете, Бог го повика по име Веселеил, син на Уриј, синот Оров, од племето Јудино.
31. и го исполни со Дух Божји, со мудрост и со разум, со знаење и со секоја умешност да гради;
32. да обработува дрводелие, и да прави работи од злато, сребро и бакар;
33. да реже камења, да реже и обраборува дрво, и да прави секакви уметнички работи;
34. а вложи во неговото срце и во срцето на Елијава, синот Ахисамахов, од племето Даново, и способност да можат да учат и други.
35. Го обдари со умешност да вршат секаква резбарска работа, кројачка, везачка и ткајачка на сина, црвена и темноцрвена ткаенина и на висон, и да изведуваат секакви работи, во разни уметности.

Глава 36

1. И направија Веселеил и Елијав и сите способни лу е, на кои им беше дадена мудрост и знаење да разбираат и да работат секакви работи, потребни за светилиштето, тоа се' како што беше заповедал Господ.
2. И ги повика Мојсеј Веселеила и Елијава и сите мудри лу е, на кои Бог им дал разум во срцето, и сите, што од срце сакаа да се зафатат за дела што треба да се свршат.
3. И тие ги зедоа од Мојсеја сите дарови што ги беа принеле синовите Израилеви за потребите на светилиштето за да се изработат. А тие ги примаа уште и принесуваните дарови од оние што носеа секое утро.
4. Тогаш дојдоа сите вешти лу е, што вршеа работи за светилиштето, секој според својата работа, што сами ја вршеа,
5. па му рекоа на Мојсеја - 'Народот принесува повеке отколку што е потребно за да се направи, како што заповеда Господ.'
6. И Мојсеј разгласи во таборот, велејки: 'Ни маж ни жена да не принесува ништо повеке како дар за светилиштето:' И народот престана да принесува,
7. зашто имаше доста принесено за секакви работи што требаше да се направат, дури и преостануваше.
8. Тогаш сите вешти лу е, кои се обврзаа да ја направат скинијата, приготвија десет платништа од ткаенина со препредена пре а и од сина, црвена и темноцрвена ткаенина; и на нив направија уметнички извезени херувими.
9. Должината на секое платниште изнесуваше дваесет и осум лакти, а ширината четири лакти; сите платништа беа со иста мерка.
10. И Веселеил ги состави петте платништа едно со друго, и другите пет платништа ги состави едно со друго.
11. И направи сини петлици по рабовите на едното платниште, каде што ке се соединува со другото; такви направи тој и на работ на последното платниште, за да го соедини со другото.
12. Педесет петлици направи на едното платниште, каде што се соединува со другото; петлиците беа една спрема друга.
13. И направи педесет златни кукички и со кукичките состави едно платниште со друго. Така скинијата стана една целина.
14. Потоа направи платниште од козина за покривање на скинијата; единаесет такви платништа направи:
15. едно платниште беше долго триесет лакти, а широко четири лакти; една мерка беа сите единаесет платништа.
16. Па ги состави петте платништа одделно, а шесте платништа одделно.
17. И направи педесет петлици по работ на едното платниште, каде што се соединува со другото, и педесет петлици направи по работ на другото платниште, за да се соединува со другото;
18. а направи и педесет кукички од бакар, за да се состави скинијата, та да стане целина.
19. Потоа направи покривка за скинијата од овнешки кожи, црвени, а над неа друга - од сини кожи.
20. И направи диреци за скинијата од дрвото ситим, што ке стојат исправени;
21. секој дирек од по десет лакти долг, а лакот и половина широк;
22. секој дирек имаше по два клина, еден спроти друг; така направи тој на секој дирек за скинијата.
23. А вакви диреци за скинијата направи дваесет за јужната страна:
24. и направи четириесет подножја сребрени за под дваесетте диреци, по две подножја под секој дирек за двата клина негови, и по две подножја под другиот дирек за двата негови клина.
25. И за другата страна на скинијата, спрема север, направи дваесет диреци.

26. и четириесет сребрени подножја под нив, по две подножја под секој дирек за двата негови клина, и по две подножја под другиот дирек.
27. А за западната страна на скинијата направи шест диреци;
28. направи уште два дирека за аглите во скинијата од западната страна;
29. тие беа составени одоздола и составени одозгора со по една алка; така направи тој со обете страни на двата агли;
30. и така имаше осум диреци и шеснаесет подножја сребрени, по две подножја под секој дирек.
31. Потоа направи напречници од дрвото ситим: пет за диреците од едната страна од скинијата,
32. и пет напречници за диреците од другата страна на скинијата, и пет напречници за диреците од западната страна на скинијата до обата агли.
33. А направи и средна напречница што ќе иде преку средината на диреците од едниот до другиот крај;
34. диреците го опковаа со злато, а и алките, низ кои беа провлечени напречниците, ги направи од злато, па и напречниците го опкова со злато.
35. Потоа направи завеса од сина, црвена и темноцрвена ткаенина и од ткаен висон и на неа направи херувими, уметнички извезени;
36. за неа направи и четири столба од дрвото ситим, и го опкова со злато; и златни кукички за столбовите и им излеа четири подножја од сребро.
37. Направи потоа завеса за влезот во скинијата од сина, црвена и темноцрвена ткаенина и од ткаен висон, уметнички исткаена,
38. и пет столбови за неа со кукичките нивни; врвовите на столбовите и нивните прстени ги обложи со злато, и пет подножја од бакар.

Глава 37

1. И направи Веселеил од дрвото ситим ковчег, два и пол лакти висок;
2. го опкова одвнатре и однадвор со чисто злато и му направи златен венец наоколу;
3. излеа за него четири алки од злато за четири негови страни: две алки за едната страна, а две за другата;
4. направи лостови од дрвото ситим и ги опкова со злато;
5. и го провре лосотвите низ алките од обете страни на ковчегот, за да може ковчегот да се носи.
6. Потоа направи поклопец од чисто злато: во должива два лакти и половина, во ширина - лакот и половина.
7. Направи и два херувима од злато; исковани ги направи за двата краја на поклопецот;
8. едниот херувим на едниот крај, а другиот херувим на другиот крај; херувимите ги направи да се издаваат од обата краја на поклопецот.
9. И херувимите беа со раширени крила, одозгора, и со крилата свои го покриваа очистилиштето, а со лицата свртени еден спрема друг, и насочени кон очистилиштето.
10. Направи трпеза од дрвото ситим, со должина од два лакти и ширина од лакот, а лакот и половина во висина.
11. И ја опкова со чисто злато, и наоколу и' направи златен венец;
12. потоа и' направи страници наоколу, колку дланка широки, а по страниците и' направи златен венец.
13. Излеа за неа четири алки од злато, и алките ги прицврсти на четирите агли при четирите нозе,
14. на страниците имаше алки, низ кои беа проврени лостови, за да може трпезата да се носи.
15. А лостовите ги направи од дрвото ситим, за носење на трпезата, и ги покри со злато.
16. Потоа направи садови од чисто злато, определени за трпезата: чинии, кадилници, чаши и црпки, со кои ке се прелива.
17. Направи и свекник од чисто злато, за да свети го направи: стеблото и гранките, чашките, јаболчињата и цветовите му излегуваа од него на двете страни.
18. Гранките му излегуваа од страните: три гранки од свекникот од едната страна, а три гранки на свекникот од другата страна;
19. три чашки како бадемов цвет со јаболче и цветови имаше на едната гранка, а три чашки како бадемов цвет со јаболче и цветови на другата гранка; така беше на сите шест гранки што излегуваа од свекникот.
20. А на самиот свекник имаше четири чашки како бадемов цвет со јаболчиња и цветови:
21. едно јаболче беше под двете гранки од него, и едно јаболче под другите две гранки од него; така и под третите две гранки од шесет гранки што излегуваа од него.
22. Јаболчињата нивни и гранките нивни излегуваа од него; целиот искован од чисто злато.
23. И му направи седум кандилца, а и секачи и пепеларки од чисто злато;
24. од талант чисто злато го направи со сите негови потреби.
25. И направи жртвеник за кадење од дрвото ситим: лакот долг и лакот широк, четириаголен, два лакти висок; и од него му излегуваа роговите;
26. па го опкова со чисто злато одозгора и страните наоколу, а и неговите рогови; ми направи и златен венец наоколу;
27. и две алки од злато му направи под венецот на двата агли негови, ги направи од двете негови страни, за да се спроврат низ нив лостовите, за да може да се носи.
28. Лостовите ги направи од дрвото ситим, и го опкова со злато.
29. И направи миро за свето помазание и мирисно кадиво, чисто со вештина на мироварец.

Глава 38

1. И направи од дрвото ситим жртвеник за жртви сепаленици; пет лакти долг и пет лакти широк, четириаголен, три лакти висок, и ги опкова со бакар;
2. а направи и рогови на неговите четири агли, така што роговите да излегуваат од него, и го опкова со бакар.
3. И ги направи сите садови за жртвеникот: котлиња, кадилниците, чашките и вилушките, и клештите; сите потреби му ги направи од бакар.
4. а на жртвеникот му направи решетка од бакар како мрежа на дното, од дното па до средината наоколу;
5. и излеа четири алки за четирите агли на решетката од бакар, за да се провлечат низ нив лостови за носење.
6. А лостовите ги направи од дрвото ситим и ги опкова со бакар.
7. Па ги провлече лостовите низ алките од обете страни на жртвеникот, за да може да се носи; од штици го направи, празен одвнатре.
8. Направи и мијалник од бакар и подножје од бакар со убави шарки, кои го красеа влезот на скинијата на сведоштвото.
9. И двор направи од јужната страна, а завесите му беа од ткаен висон, по сто лакти долги;
10. дваесет столбови за нив, и дваесет подножја под нив од бакар; а кукичките за столбовите и лостовите беа од сребро.
11. Така и од северната страна, сто на сто лакти; столбови за нив дваесет и подножја под нив од бакар дваесет; а и кукичките за столбовите и лостовите нивни од сребро.
12. А од западната страна завеси од педесет лакти: десет столбови за нив, и подножја - десет; кукичките за столбовите и лостовите нивни од сребро;
13. и од источната страна, завеси од педесет лакти.
14. За западната страна на вратата завеси од петнаесет лакти, три столбови за нив и три подножја под нив;
15. и за другата задна страна (отаде и одовде на вратата однадвор) завеси од петнаесет лакти, три столба за нив, и подножја под нив - три.
16. Сите завеси на дворот наоколу беа од ткаен висон.
17. а подножјата од столбовите - од бакар, кукичките за столбовите и лостовите на нив - од сребро; и врвовите нивни беа со сребро обложени; и сите столбови на дворот беа со сребро поврзани.
18. А завесата на вратата од дворот - везена - од сина, црвена и темноцрвена ткаенина и од ткаен висон, долга дваесет лакти, а во висина по ширината пет лакти, како и другите завеси во дворот;
19. и четири столба за нив, и четири подножја под нив од бакар; кукичките им беа од сребро, а врвовите нивни посребрени.
20. Сите колчиња околу скинијата и дворот беа од бакар.
21. Ете, тоа се изработките за скинијата на сведоштвото, направени по заповедта на Мојсеја за левитите а под надзор на свештеникот Итамара, син на Арона.
22. А се‘ она како што му заповеда Господ на Мојсеја, го направи Веселеил, син на Урија, синот Оров, од племето Јудино.
23. И со него Елијав, синот Ахисамахов, од племето Даново, резбар, вешт ткајач и везач на порфирна ткаенина сина, црвена и темноцрвена и на ткаен висон.
24. Сето злато, што беше употребено за сите потреби на светилиштето, злато, принесено на дар, беше дваесет и девет таланти и седумстотини и триесет сикли, свештени сикли;
25. а среброто пребросено од дародавците - сто таланти и иљада седумстотини седумдесет и пет сикли, свештени сикли.
26. По половина сикла од човек, пресметано според свештената сикла, од секој што доа а на пребројување, од дваесет години и нагоре, од шестотини и три иљади и петстотини и педесет

души.
27. Сто таланти сребро беа употребени за лиење на подножјата за светилиштето и подножјата за завесите; сто подножја од сто таланти, по талант на подножје;
28. а од иљада и седумстотини и седумдесет и петте сикли тој направи кукички за столбовите и опков за врвовите нивни, а направи и лостови за нив.
29. А од принесениот дар во бакар имаше седумдесет таланти, и две иљади и четиристотини сикли;
30. и од него ги направи тој подножјата за влезот во скинијата на сведоштвото, и жртвеникот од бакар како и решетката од бакар за него, и сите садови за жртвеникот;
31. подножјата за целиот двор наоколу, подножјата за вратата на дворот, и сите колчиња за скинијата и сите колчиња за дворот наоколу.

Глава 39

1. А од ткаенина сина, црвена и темноцрвена направија одежди за служба во светилиштето; му направија и свештени одежди на Арона, како што му беше заповедал Господ на Мојсеја.
2. Направија ефод од злато, од сина, црвена и темноцрвена ткаенина и од ткаен висон;
3. извлекоа листови од злато, и исекоа жици, за да ги вткаат вешто во ткаенината сина, црвена и темноцрвена и во висоновите нишки;
4. му направија и нараменици што се врзуваат: тие се врзуваат со него на двата негови краја.
5. И појасот на ефодот, од неговата горна страна, беше ист како и тој: од злато, од сина, црвена и темноцрвена ткаенина и од вткаен висон, како што му беше заповедал Господ на Мојсеја.
6. И изрезаа и камења смарагдови, и ги обрабија со злато, и ги впишаа на нив имињата на синовите Израилеви, како што се прават печати;
7. па ги ставија на нарамениците од ефодот, за спомен на синовите Израилеви, како што му беше заповедал Господ на Мојсеја.
8. Направија и наградник, вешто изработен, од иста метерија како и ефодот: од злато, од сина, црвена и темноцрвена ткаенина и од ткаен висон;
9. наградник направија: четириаголен, двоен, педа долг, и педа широк, двоен.
10. И наредија на него четири реда камења: во првиот ред: сард, топаз и смарагд;
11. во вториот ред: антракс, сафир и јаспис;
12. во третиот ред: лигур, ахат и аметист;
13. во четвртиот ред: хрисолит, вирил и оникс; и тие беа опковани и обвиени во злато.
14. Камењата беа според бројот на имињата на синовите Израилеви: тие беа дванаесет, според бројот на нивните имиња, и на секој од нив беше изрежано како печат по едно име, за дванаесетте племиња.
15. И направија за наградникот веришки вити, плетени од чисто злато;
16. направија и две копченца златни и две алчиња златни, и ги ставија двете алчиња на двата краја од наградникот;
17. па ги закачија двете златни веришки за двете алчиња на краевите од наградникот,
18. а другите два краја од двете веришки ги закачија за двете копченца и ги прицврстија на нарамениците од ефодот од предната страна.
19. Направија уште две златни алчиња, и ги ставија на двата краја од наградникот, на внатрешниот раб, свртен спрема ефодот:
20. направија уште две златни алчиња, ги ставија на двата нарамника од ефодот, на неговиот преден крај одоздола, каде што се составува ефодот над појасот;
21. и така го врзаа наградникот со алчињата негови за алчињата од ефодот со врвка сина, плетена, за да стои одозгора над појасот од ефодот и да не се одделува наградникот од ефодот, како што му беше заповедал Господ на Мојсеја.
22. а за ефодот направија и наметка, од сина ткаенина,
23. и прорез по средината на наметката како отвор, околку прорезот ширит шиен, за да не се реси.
24. По полите на подметката одоздола направија врвци од сина, црвена и темноцрвена ткаенина и висон ткаен.
25. А направија и ѕвончиња од чисто злато, и ги закачија ѕвончињата на полите од наметката наоколу ме у прачките:
26. ѕвонче и јаболкце, ѕвонче и јаболкце наоколу по полите на наметката, за служба, како што му беше заповедал Господ на Мојсеја.
27. Потоа направија хитони од ткаен висон за Арона и за синовите негови;
28. и кидар од висон и митра од висон, и долна облека од ткаен висон,
29. и појас за нив од сина, црвена и темноцрвена ткаенина и од ткаен висон, како што му беше заповедал Господ на Мојсеја.

30. И направија плочка, знак на светоста, од чисто злато, издлабија на неа писмо, како што се реже печат 'Светост Господова'.
31. И врзаа за неа сина врвка, за да се врзува на кидарот одозгора, како што му беше заповедал Господ на Мојсеја.
32. И така се сврши целата работа околу скинијата, скинијата на сведоштвото. И направија синовите Израилеви се‘ како што му беше заповедал Господ на Мојсеја, така направија.
33. И ја донесот при Мојсеја скинијата, покривката и сите нејзини работи, кукичките, дирециите, лостовите, столбовите и подножјата.
34. И покривката од кожи овнешки, црвени, и покривката од кожи фини и завесата за засолнување,
35. ковчегот на откровението со лостовите, и очистилиштето,
36. трпезата со сите нејзини принадлежности, и лебови за предложение,
37. свекникот од чисто злато со неговите кандилца, кандилцата веке наредени, и сите потреби негови, и елеј за светење,
38. жртвеникот златен, и елеј за помазание, кадиво мирисно, и завесата за влезот во скинијата,
39. жртвеникот од бакар и решетката од бакар за него, лостовите негови и сите принадлежности негови, мијалникот и подножјето негово,
40. завесите за дворот, столбовите за нив и подножјата нивни, и завесата за влезот во дворот, јажињата негови и колчињата негови, и сите потреби за служба во скинијата на сведоштвото;
41. одеждите богослужбени за служење во светилиштето, одеждите свети за свештеникот Арона и одеждите за синовите негови, за свештеничка служба.
42. Како што му беше заповедал Господ на Мојсеја, така ги направија синовите Израилеви сите тие работи.
43. И ги погледа Мојсеј сите тие работи, и ете, тие ги беа направиле: како што беше заповедал Господ, така ги беа направиле. И ги благослови Мојсеј.

Глава 40

1. И му рече Господ на Мојсеја велејќи:
2. 'Во првиот ден од првиот месец подигни ја скинијата на сведоштвото,
3. потоа постави го таму ковчегот на откровението и засолни го со завесата;
4. внеси ја трпезата, и постави се‘ што треба да се намести на неа; внеси го и свекникот, а стави ги и кандилцата на него;
5. постави го златниот жртвеник за кадење пред ковчегот на откровението; и закачи завеса пред влезот во скинијата на сведоштвото.
6. Постави го и жртвеникот за жртви сепаленици, а постави го и пред влезот во скинијата на сведоштвото;
7. стави го мијалникот ме у скинијата на сведоштвото и жртвеникот, и налеј вода во него;
8. огради го дворот наоколу, и закачи ја завесата на вратата од дворот;
9. па земи елеј за помазание, и помажи ја скинијата и се‘ што има во неа: и освети ја неа и сите принадлежности нејзини, па ке биде света.
10. Помажи го и жртвеникот за жртви сепаленици и сиот прибор негов, па освети го жртвеникот, и жртвеникот ке стане пресвет.
11. Помажи го и мијалникот, и подножјето негово, и освети го.
12. Потоа доведи го пред влезот од скинијата на сведоштвото Арона и синовите негови и измиј ги со вода;
13. облечи го Арона во светите одежди и помажи го и освети го, за да Ми принесува жртви.
14. Доведи ги и синовите негови, и облечи ги во хитони,
15. и по0ажи ги, како што го помаза таткото нивни, за да Ми принесуваат жртви; и помазанието нивно ке ги освети за вечно свештенство во нивните поколенија.'
16. И направи Мојсеј се‘, како што му заповеда Господ, така направи.
17. Во првиот месец од втората година, во првиот ден во месецот се подигна скинијата.
18. Мојсеј ја подигна скинијата: ги исправи дирецитe, ги провлече напречниците, и ги исправи столбовите;
19. па ги распна платништата над скинијата, а над неа ги ставија покривот одозгора, како што му беше заповедал Господ на Мојсеја.
20. И, откако го зеде откровението, го стави во ковчегот, и стави ногалки под ковчегот, па го стави очистилиштето одозгора над ковчегот.
21. Потоа го внесе ковчегот во скинијата, и ја закачи завестата, та го засолни ковчегот на откровението, како што му беше заповедал Господ на Мојсеја.
22. И ја постави трпезата во скинијата на сведоштвото од северната страна на скинијата, пред завесата;
23. потоа постави на неа лебови за предложение пред Господа, како што му беше заопведал Господ на Мојсеја.
24. Го намести свекникот во скинијата на сведоштвото спрема трпезата, од јужната страна на скинијата,
25. а ги постави и кандилцата пред Господа, како што му беше заповедал Господ на Мојсеја.
26. Го постави златниот жртвеник во скинијата на сведоштвото пред завесата,
27. и стави на него да гори мирисно кадиво, како што му беше заповедал Господ на Мојсеја.
28. Ја закачи завесата пред влезот во скинијата;
29. потоа го постави и жртвеникот за жртви приносници при влезот во скинијата на сведоштвото, и принесе на него жртва сепаленица, и лебен принос, како што му беше заповедал Господ на Мојсеја.
30. Го намести и мијалникот ме у скинијата на сведоштвото и жртвеникот, и налеа во него вода за миење;
31. и од него Мојсеј и Арон и синовите негови си ги измија рацете свои и нозете свои;
32. а ги миеја кога влегуваа во скинијата на сведоштвото и кога пристапуваа кон жртвеникот

да служат, како што му беше заповедал Господ на Мојсеја.
33. Го огради и дворот околу скинијата и жртвеникот, и ја стави завесата на влезната врата од дворот. Така ја доврши Мојсеј сета работа.
34. Тогаш облак ја покри скинијата на сведоштвото и се исполни скинијата со слава Господова;
35. и Мојсеј на можеше да влезе во скинијата на сведоштвото, зашто облакот го засенуваше, и славата Господова ја исполнуваше скинијата.
36. И кога се креваше облакот од скинијата, тогаш поа аа синовите Израилеви на пат со својот имот;
37. а кога не се креваше облакот, тогаш ни тие не поа аа се‘ до денот, кога ке се кренеше,
38. зашто облакот Господов стоеше над скинијата дење, а ноке во облакот се појавуваше оган пред очите на целиот дом Израилев, при сите нивни патувања.

# Левит

Глава 1

1. И го повика Господ Мојсеја, и му рече од скинијата на сведоштвото, велејки:
2. 'Соопшти им на синовите Израилеви, и кажи им: кога некој од вас сака да Му принесе на Господа дарови, од добитокот, од говедата и од овците привесувајте ваш дар.
3. Ако принесува жртва сепаленица од крупен добиток, нека принесе машко, здраво; пред влезот од скинијата на сведоштвото нека ја доведе, за да придобие милост пред Господа.
4. И нека ја возложи раката своја врз главата на жртвета, и ке придобие милост за очистување;
5. нака се заколе теле пред Господа, а синовите Аронови, свештениците, нека принесат крв, и со неа нека го попрскаат жртвеникот одозгора наоколу, што е пред влезот од скинијата на сведоштовото;
6. потоа жртвата сепаленица нека се одере и нека се исече на делови.
7. А синовите Аронови, свештениците, нека запалат оган на жртвеникот, и нека стават дрва на огнот.
8. Па потоа синовите Аронови, свештениците, нека ги наредат деловите, главата и лојта врз дрвата на огнот, што е на жртвеникот.
9. А внатрешнината и нозете нека се измијат со вода; свештеникот нека го стави сето тоа на жртвеникот; тоа е жртва сепаленица, жртва огнена, со благопријатен мирис пред Господа.
10. А ако принесува жртва сепаленица на Господа од ситен добиток, од овци или од кози, нека принесе јагне или јаре, чисто машко и здраво и да ја постави раката врз главата негова.
11. Да се заколе на северната страна од жртвеникот пред Господа, а синовите Аронови, свештениците, нека го прелијат жртвеникот со крвта одозгора наоколу.
12. И нека се расече на делови, а главата со лојот, свештеникот нека ги стави врз дрвата, што се на огнот врз жртвеникот;
13. а внатрешнината и нозете свештеникот нека ги измие со вода и сето тоа нека го донесе и нека го изгори на жртвеникот; тоа принос жртва, жртва огнена со благопријатен мирис пред Господа.
14. Ако Му принесува на Господа жртва птица како сепаленица, тогаш нека принесе на дар грлица или млад гулаб;
15. свештеникот нека ја принесе на жртвеникот, и извивајки и‘ ја главата, нека ја откине и нека ја изгори на жртвеникот, крвта да ја исцеди во подножјето на жртвеникот;
16. нека и‘ ги извади гркланот и перјата и заедно со нечистотијата нека ги фрли до жртвеникот од источната страна, каде што е пепелта,
17. па нека ја прекрши ме у криљата, но да не ги разделува од неа; и свештеникот потоа нека ја постави на жртвеникот, врз дрвјата што се на огнот; тоа е принос жртва, жртва огненеа со благ пријатен мирис пред Господа.

Глава 2

1. 'Ако некој Му принесе на Господа лебна жртва, нека принесе пченично брашно, и нека го прелие со елеј, па на него нека стави ливан;
2. нека ја донесе тој кај синовите Аронови, свештениците, а свештеникот да земе полна рака од брашното пченично со елеј и сиот нејзин ливан, па нека ја запали таа свештеникот на жртвеникот како спомен нејзин; тоа е жртва со пријатен мирис на Господа,
3. а она што ке остане од жртвата нека биде за Арона и за синовите негови: тоа е најголема светиња ме у жртвите на Господа,
4. Ако, пак, се принесува дар жртва од пченично брашно печена во печка, тоа нека бидат бескрасни лебови, замесени со елеј, и бесквасни питки, намажани со елеј.
5. Ако ти е жртвата дар пржен во тава, нека биде со пченично брашно, земесено со елеј, без квас;
6. раскрши ја на парчиња и полеј ја со елеј: тоа е жртва на Господа.
7. Ако ти е дарот твој жртва од огниште, таа треба да биде направена од пченично брашно со елеј.
8. И принеси ја жртвата, што си ја приготвил од тоа, на Господа: претстави ја пред свештеникот, а тој нека ја положи на жртвеникот;
9. и свештеникот нека земе дел од таа жртва за спомен и нека ја изгори на жртвеникот: тоа жртва со благопријатен мирис пред Господа;
10. остатокот, пак, од жртвата нека биде за Арона и синовите негови; тоа е најголема светиња ме у жртвите на Господа.
11. Секоја жртва, што Му ја принесувате на Господа, не правете ја со квас, зашто ни квас ниту мед не треба да се принесува како жртва на Господа.
12. Принесувајте Му ги нив на Господа како привини од плодовите; но на жртвеникот да не се полагаат како пријатен мирис пред Господа.
13. Секој дар од вашата жртва со сол засоли го, и не оставај ја жртвата своја на заветот на твојот Бог без сол: при секоја жртва принеси сол.
14. Ако Му принесуваш на Господа жртва од првите житни плодови, принесувај ја како дар од своите први плодови во зрна од исчукани пресни класја, исушени на оган,
15. полиј ја со елеј и стави врз неа ливан: тоа е жртва,
16. а свештеникот да изгори дел од зрната и елејот со сиот ливан за спомен: тоа е принос на Господа.'

Глава 3

1. 'Но, кога некој принесува жртва за спасение, како свој дар на Господа, а ја приенува од
говедо, било машко или женско, наке ја принесе пред Господа без недостаток;
2. и нека ги положи рацете свои врз главата на дарот, и нека ја заколе пред Господа при
влезот во скинијата на сведоштвото, а свештениците, синовите Аронови, нека ја измијат крвта
на жртвеникот одозгора наоколу.
3. Од жртвата за спасение нека Му принесат на Господа принос - лојта што ја обвива
внатрешнината и сиот лој по внатрешнината.
4. И обата бубрега и лојот што е на нив и на слабините, и кошулката што е на црниот дроб:
нека ја извади со бубрезите;
5. синовите Аронови нека го изгорат тоа на жртвеникот заедно со жртвата сепаленица, што е
врз дрвата, на огнот кој е на жртвеникот. Тоа е жртва со благопријатен мирис пред Годспода.
6. Ако, пак, Му се принесува на Господа жртва за спасение од овците, машко или женско, нека
принесе таква што е без недостаток.
7. Ако јагне принесува како дар свој, нека го приведе пред Господа;
8. и нека ја положи раката своја врз главата на дарот свој, и нека го заколе пред вратата од
скинијата на сведоштвото, а синовите Аронови нека го попрскаат жртвеникот со крвта нејзина
наоколу.
9. Потоа од жртвата за спасение нека ја принесат како жртва на Господа и лојта, целата
опашка до грбот, сиот лој што ја обвива внатрешнината и сета маст во внатрешнината,
10. и обата бубрега и лојот што е на нив и што е на бедрата, и кошулката околу црниот дроб:
сето тоа заедно со бубрезите нека го одделат;
11. свештеникот нека го изгори тоа на жртвеникот; мирис пријатен, принос на Господа.
12. Ако, пак, принесува како дар свој на Господа од козите, нека ја претстави пред Господа,
13. и нека ги положи рацете свои врз главата негова, па нека ја заколе пред Господа пред
вратата од скинијата на сведоштвото, а синовите Аронови нека ја излијат крвта врз
жртвеникот одозгора наоколу.
14. Потоа свештеникот од неа нека Му го принесе на Господа како принос и лојот, што ја
обвива утробата и сиот лој во неа,
15. и обата бубрега, и сиот лој што е околу нив, што е по бедрата, и кошулката на црниот дроб:
сето тоа заедно со бубрезите нека го оддели.
16. А свештеникот нека го изгори на жртвеконот; тоа е принос, благопријатен мирис на
Господа; сиот лој е за Господа.
17. Тоа нека е вечен закон за сите ваши поколенија, во сите ваши живеалишта: никаков лој и
никаква крв да не јадете.'

Глава 4

1. И уште му рече Господ на Мојсеја, велејки:
2. 'Кажи им на синовите Израилеви: ако некој згреши пред Господа не сакајки, против која и да било заповед Господова изврши нешто, што не треба да прави, -
3. ако помазаниот првосвештеник згрешил и го обвинил народот, тоа за гревот свој, што го направил, нека Му принесе на Господа за гревот, дар од Говедата свои теле без недостаток,
4. па откако ке го доведе телето пред влезот од скинијата на сведоштвото пред Господа, нека ја положи раката своја врз главата на телето и да го заколе телето пред Господа.
5. А совршено помазаниот свештеник нека ја собере крвта од телето со рацете, и нека ја внесе во скинијата на сведоштовото.
6. И свештеникот нека го накваси прстот свој во крвта, и со крвта седумпати нека попрска пред Господа спрема завесата на светилиштето.
7. А потоа свештеникот со таа крв нека ги помаже роговите на жртвеникот, на кој се кади со благопријатен мирис пред Господа, Кој е во скинијата на сведоштвото, а остатокот од крвта на телето нека го излие во подножјето на жртвеникот за жртви сепаленици, кој е при влезот во скинијата на сведоштвото.
8. И нека го извади сиот лој од телето за грев, лојот што ја покрива утробата и сиот лој што е на утробата;
9. и обата бубрега, и лојот што е на нив и на слабините, и кошулката на слезината со бубрезите нека ги извади.
10. онака како што се вади тоа од теле на жртва за спасение; и нека ги изгори свештеникот на жртвеникот за приноси.
11. А кожата од телето со сето месо со главата и со крајниците и утробата и нечистотијата,
12. односно целото теле нека го изнесат надвор од логорот на чисто место, каде што се истура пепелта, и нека го изгорат со оган на дрва; на местото, каде што се истура пепелта, нека се изгори.
13. А ако целиот собир на синовите Израилеви згреши, на сакајки, а тоа се сокрие од собирот, па направат нешто што Господ забранил да се прави, ке згрешат;
14. кога ке се узнае гревот нивни, во што згрешиле, тогаш собирот нека принесе здраво теле како жртва за гревот, и нека го доведе пред скинијата на сведоштвото.
15. А старешините на собирот нека положат раце врз главата на телето пред Господа, и да го заколат телето пред Господа.
16. А помазаниот свештеник нека внесе крв од телето во скинијата на сведоштвото.
17. Потоа нека го натопи свештеникот прстот свој во крвта, и седумпати нека попрска пред светилиштето на Господа,
18. а од таа крв нека стави и на роговите од жртвеникот за кадење што е пред Господа во скинијата на сведоштвото, додека сета друга крв нека ја излие во подножјето на жртвеникот за приноси, кој е при влазот од скинијата на сведоштвото.
19. Сиот, пак, лој, откако ке го извади од него, нека го изгори на жртвеникот.
20. И со тоа теле да направи онака како што прави со телето за грев - така нека направи со него; и потоа нека се помоли свештеникот за нив, и гревот ке им се прости.
21. А телето цело нека го изнесат од таборот, и нека го изгорат како и првото теле; тоа е жртва за гревот на целиот собир.
22. Ако згреши началникот и направи, не сакајки нешто што неговиот Господ Бог забранил да се прави, грешен е оти направил престап.
23. Кога ке узнае во себеси за гревот свој што го направил, тогаш нека принесе дар свој заради гревот козел, од машки род, без недостаток.
24. И нека ја стави раката своја врз главата на козелот и нека го заколе на она место, каде што се колат жртвите сепаленици пред Господа; тоа е жртва за грев.
25. И нека земе свештеникот крв од жртвата за грев и со прстот свој нека ги намачка роговите

на жртвеникот за сепаленици; а сета друга крв негова нека ја излие во подножјето на жртвеникот за сепаленици.
26. А сиот лој нека го изгори на жртвеникот како лој од жртвата за сепаленици; и да се помоли свештеникот за гревот негов, и ке му се прости.
27. И ако некој од народот згреши, на сакајки направи нешто што Господ забранил да се прави, виновен е.
28. Кога ке узнае, пак, за гревот свој што го направил, тогаш нека принесе дар свој - коза од козите свои, без недостаток, поради гревот што го направил;
29. и нека ја стави раката своја врз главата од жртвата за грев, и нека се заколе козата поради гревот на местото, каде што се колат жртвите сепаленици.
30. Потоа нека земе свештеникот крв од неа на прстот свој и нека ги помаже роговите на жртвеникот за сепаленици: а сета друга крв нека ја излие во подножјето на жртвеникот.
31. И сиот лој од неа нека го извади како што се вади лојот од жрвата за спасение, и нека го изгори свештеникот на жртвеникот за пријатен мирис пред Господа; и да се помоли свештеникот за него, па ке му биде простено.
32. Ако принесува дар овца поради гревот, нека донесе здрава и без недостаток.
33. И нека ја стави раката своја врз главата од жртвата за грев, па нека се заколе поради гревот на она место, каде што се колат жртвите сепаленици.
34. И свештеникот нека земе крв од жртвата за грев и со прстот свој со неа нека ги намачка роговите на жртвеникот, на кој се гори жртвата; а сета друга крв нека ја излие во подножјето на жртвеникот за сепаленици.
35. И сиот лој нека го извади, како што се вади лојот од овца на жртва за спасение; и нека го изгори свештеникот врз жртвеникот како жртва сепаленица Господова; па нека се помоли свештеникот за гревот негов, што го направил, и ке му се прости.'

Глава 5

1. 'А кога некој згреши со тоа што изрекол клетва и така станал сведок, или видел или дознал, па не кажал, тој го носи својот грев.
2. Или, ако некој се допре до каквагоде нечиста работа, или до мртво, или до нечиста ѕверојадина, до гнасотија од мрша, или до мрша од нечисти жиовтни, или до изгинати гадинки, со тоа тој се осквернува;
3. или ако се допре до некоја нечистотија човечка, било која нечистотија негова, со неа се осквернува, знејки или не знаејки, и виновен е за грев.
4. А ако некој изјави со устата своја дека ке направи нешто лошо, или добро, а за која и да било работа, како што ги прават тоа лу ето под клетва, а не ја направи, и потоа се узнае, виновен ке биде за една од тие работи.
5. Кога ке го признае, пак, гревот свој,
6. нека Му принесе на Господа за гревот, што го направил: млада овца или коза од стадото свое за гревот; и свештеникот нека се помоли поради гревот негов што го направил и ке му се прости.
7. Ако не може да принесе овца, тогаш нека Му принесе на Господа како дар за гревот, со кој згрешил: две грлици или две гулапчиња - едно како жртва за гревот, а другото како жртва сепаленица.
8. Нека му ги донесе на свештеникот, а тој нека го претстави прво она што е за грев, и нека му го истргне вратот, но главата да не ја откинува.
9. И со крвта од жртвата за грев нека го попрска ѕидот на жртвеникот; а крвта што ке остане, нека ја исцеди во подножјето на жртвеникот, бидејки е тоа жртва за грев.
10. А од другото нека направи жртва сепаленица, како што треба; а свештеникот нека се помоли поради гревот негов, што го направил, и ке му биде простено.
11. А ако не може да принесе ни две грлици или гулапчиња поради тоа што згрешил, тогаш нека принесе една десетина од мерката ефа пченично грашно за да биде жртва за гревот, а нека не додава елеј и нека не става кадиво, зашто жртвата е за грев.
12. И кога ке го донесе кај свештеникот, свештеникот нека земе полн грст од него за спомен нејзин, и нека го изгори на жртвеникот за сепаленици како жртва огнена на Господа, бидејки е жртва за грев.
13. И да се помоли свештеникот поради гревот негов, со кој згрешил во нешто од ова, и ке му прости; а остатокот ке биде за свештеникот како подарок, како жртва од пченично брашно.'
14. Пак му рече Господ на Мојсеја, велејки:
15. 'Кој ке заборави, па згреши не сакајки во работите посветени на Господа, нека Му принесе дар на Господа за престапот свој овен без недостаток од овците, ке се оцени светата работа во сикли сребрени, според сиклите свети, според престапот.
16. И така, колку згрешил спрема светата работа, толку нека надомести; и на тоа уште нека додаде петти дел, и нека му го даде на свештеникот; а свештеникот ке се помоли над принесениот овен за престапот, и ке му се прости.
17. Кој згреши и направи нешто што Господ забранил да се прави, и - ако не знаел, сепак е виновен и го носи својот грев.
18. Нека му доведе на свештеникот како жртва за грев овен здрав од овците, според процена во сребро, а свештеникот нека се помоли за престапот, што го направил поради незнаење, бидејки згрешил пред Господа, и ке му се прости.
19. Тоа е жртва за грев: згрешил пред Господа.

Глава 6

1. Пак му рече Господ на Мојсеја, велејки:
2. 'Ако некој згреши и направи престап против заповедите на Господа и го откаже на ближниот свој она, што му дал на чување, или од него украдено, или пак, го измами својот близок,
3. или нашол нешто загубено и тоа го одрече, или лажно се заколне за која и да било работа, што лу ето обично го прават и со тоа грешат,
4. па кога така згреши и направи престап, тој треба да го врати она што го украл, или сосила го присвоил, или повереното што му било дадено на чување, или што го нашол како загубено.
5. За секоја работа, за која се заколнал криво, нека го врати она истото, и на тоа нека му додаде уште петти дел на оној чие е; тоа да му го даде во оној ден кога ке биде обвинет за својот грев.
6. А за престапот свој нека Му принесе на Господа кај свештеникот овен од стадото свое, здрав, според процена на престапот;
7. а свештеникот нека Му се помоли за него на Господа, и ке му се прости секоја работа, со која згрешил или направил престап.'
8. И пак му рече Господ на Мојсеја, велејки:
9. 'Заповедај му на Арона и на синовите негови, и кажи им: ова е законот за жрви сепаленици - жртвата сепаленица нека гори врз жртвеникот цела нок до изутрина; и огнот нека гори на жртвеникот и да не се гасне.
10. Свештеникот нека ја облече ленената одежда, а и ленената долна облека нека ја облече на телото свое, па потоа нека ја собере пепелта од жртвата што огнот ја изгорел и нака ја стави покрај жртвеникот.
11. А откако ке ги соблече одеждите свои и облече други, нека ја изнесе пепелта надвор од логорот на чисто место.
12. А огнот што е на жртвеникот, нека гори на него, да не се гасне. Свештеникот нека клава врз огнот дрва секое утро, и нека ја поставува на него жртвата сепаленица, нека го гори на него лојот од жртвата за спасение.
13. Огнот да гори постојано на жртвеникот, нека не се гасне.
14. Тоа е законот за жртвите: што ке ги принесуваат синовите Аронови пред Господа при жртвеникот.
15. Свештеникот нека земе грст од жртвата и од пченичното брашно и од елејот и целото кадиво, што е врз жртвата, и нека го изгори, тоа на жртвеникот како спомен за благопријатен мирис пред Господа.
16. А она што ке преостане од неа, му припа а за јадење на Арона и на синовите негови; нека го јадат пресно, на свето место; во дворот од скинијата на сведоштвото нека го јадат.
17. Да не се пече со квас: тоа е дел што им го давам како дар од приносите Господови; тоа е најголемата светиња како жртвата за грев и жртвата за престап.
18. Секое машко ме у синовите Аронови нека го јаде. Тоа е вечен закон за потомството нивно од приносите на Господа; секој, што ке се допре до него, ке биде осветен.'
19. И уште му рече Господ на Мојсеја, велејки:
20. 'Тоа е дарот од Арона и синовите негови што ке Му го принесуваат на Господа во оној ден кога ке биде помазан: десетти дел од мерката ефа пченично брашно како постојана жртва, половина за наутро, а другата половина за навечер.
21. Жртвата треба да се приготвува во тава, со елеј; со елеј и во парчиња принесувај ја; принесувај ја како благопријатен мирис пред Господа.
22. А свештеникот ме у синовите негови, што ке биде помазан по него, нека го прави тоа; тоа е вечен закон што ке се извршува.
23. И секоја свештеничка жртва треба целата да се гори, и да не се јаде.'
24. И пак му рече Господ на Мојсеја, велејки:

25. 'Кажи му на Арона и на синовите негови, и речи им: тоа е закон за жртвата поради грев - на местото каде што се коле жртвата сепаленица, на тоа место нека се коле и жртвата за грев пред Господа, бидејки тоа е најголемата светиња.
26. Свештеникот што ке ја принесува, нека јаде; на свето масто нека ја јаде, во дворот од скинијата на сведоштвото.
27. Се‘ што ке се допре до местото нејзино ке се освети; а ако некој ја испрска облеката своја со крвта нејзина, оној дел што ке биде испрскан нека го испере на свето место.
28. И садот земјен, во кој се варела, нека се скрши; ако е, пак, готвена во бакарен сад, нека се истрие со вода нека се измие.
29. Секое машко ме у свештениците нека го јаде тоа; тоа е најголема светиња пред Господа.
30. А секоја жртва за грев, од која се внесува крв во скинијата на сведоштвото, за да се изврши очистување во светилиштето, да не се јаде; тоа треба да се изгори.'

Глава 7

1. 'Ова е законот за жртвите поради престап - тоа е најголаме светиња.
2. На она место, на кое се коле жртвата сепаленица, на тоа место нека се коле и овенот што се принесува како жртва за престап пред Господа; а крвта да се излие околу подножјето на жртвеникот.
3. А сиот лој негов да се принесе; и лојот што ја покрива утробата, и лојот што е во утробата,
4. и двата бубрега, и лојот што е на нив и на слабините, и кошулката на слезината нека ги извади заедно со бубрезите,
5. нека ги стави свештеникот врз жртвеникот - жртвата за благопријатен мирис пред Господа; тоа е жртва поради престап.
6. Секое машко од свештениците нека ја јаде; на свето место да се јаде; тоа е најголема светиња.
7. Жртвата за престап е како жртвата за грев, еден закон е и за двете; кој свештеник се моли за неа, негова нека биде.
8. А кога свештеникот принесува нечија жртва сепаленица, кожата од жртвата што ја принесува негова нека биде.
9. И секоја жртва печена во печка или на огниште пржена во тава, му припа а на оној свештенико што ја принесува.
10. А секја жртва приготвена со елеј или без елеј, им припа а на сите Аронови синови, подеднакво.
11. Тоа е закон на жртвите за спасение, што Му се принесуваат на Господа.
12. Кога некој ја принесува од благодарност, заедно со жртвата треба да принесе и бесквасни лебови, месени со елеј, и бесквасни питки намачкани со елеј, како и пченично брашно измешано со елеј, лебови месени со елеј.
13. Освен питки, да принесува жртва и леб месен со квас, како благодарствена жртва за спасение.
14. И од сето она што се принесува, нека принесува по едно како жртва што се вознесува пред Господа; тоа нека му припа а на оној свештеник што ја излива жртвата со крв за спасение.
15. А месото од жртвата за спасение нека биде негово и нека се изеде во оној ден кога се принесува; нека не се остава ништо до изутрината.
16. Ако се принесува жртва поради завет или од усрдност, таа нека се јаде во истиот ден, а ако остане нешто, нека се изеде другиот ден.
17. Ако нешто од местото на таа жртва остане третиот ден, тогаш нека се изгори со оган.
18. Ако некој на третиот ден јаде од месото на жртвата што ја принесол, таа нема да му биде примена, бидејќи тоа е осквернение; и секој што ке јаде од неа ке згреши.
19. Ако тоа месо се допре до нешто нечисто, да не се јаде, туку да се изгори со оган; месото може да го јаде секој што е и чист.
20. А ако некој има на себеси нечистотија, па јаде месо од жртвата за спасение што е на Господа, тој треба да се истреби од народот свој.
21. И, ако, некој, откако се допре до нешто нечисто или до нечистотија човечка, или до нечист добиток, или до некоја нечиста гадинка, па јаде месо од жртва за спасение што е на Господа, тој да се истреби од народот свој!'
22. И пак му рече Господ на Мојсеја, велејки:
23. 'Кажи им на синовите Израилеви, и речи им: не јадете лој ни од вол, ни од овца, нити коза.
24. Лојот од добиток што пцовисал или е од ѕвер растргнат може да се употребува за секоја работа; но тој лој да не се јаде.
25. Оној, што ке јаде лој од добиток, што се принесува како жртва пред Господа, нека се истреби од народот свој.
26. Никаква крв да не јадете во сите живеалишта свои, ни од кое и да било животно, ниту, пак, од птици.

27. А кој ќе јаде каква и да било крв, ќе се истреби од народот свој!'
28. Пак му рече Господ на Мојсеја, велејќи:
29. 'Кажи им на синовите Израилеви, и речи им: кој принесува жртва своја пред Господа за спасение, нека принесува пред Господа и дар свој за жртвата за спасение.
30. Со свои раце да принесува принос пред Господа; лојот со градите нека го принесува, и кошулката на црниот дроб и сето тоа ќе го стави како дар пред Господа.
31. А свештеникот нека го постави лојот врз жртвеникот, додека, пак, градите да му припаднат на Арона и синовите негови.
32. А десната плешка од жртвата ваша за спасение, давајте му ја на свештеникот, за да му биде како дел.
33. На свештеникот, пак, од синовите Аронови, што принесува крв и лој од жртвата за спасение, нека биде негова десната плешка.
34. Зашто градите од жртвата за спасение и плешките што се вознесуваат, ги земам од синовите Израилеви од нивните жртви за ваше спасение и му ги давам на Арона свештеникот и на синовите негови како вечно озаконет дел од синовите Израилеви.
35. Тоа ќе биде дел на помазаниот Арон и на помазаните синови негови од приносите пред Господа, од оној ден кога ќе застанат пред Господа како жртвопринесители,
36. како што заповеда Господ да им се дава на синовите Израилеви од денот кога ги помаза. Тоа е вечен закон за поколенијата нивни.
37. Тоа е законот за жртвите сепаленици, за жртвите за грев, за жртвите за престап, за жртвите за успевање и жртвите за спасение,
38. како што му даде заповед Господ на Мојсеја во горета Синајска, во денот кога им заповеда Господ на синовите Израилеви во пустињата Синајска да Му принесуваат на Господа дар од плодовите свои.'

Глава 8

1. И му рече Господ на Мојсеја, велејќи:
2. 'Земи го Арона и синовите негови и одеждите, и елеј за помазание, и теле како жртва за грев, и два овна, и кошница пресни лебови,
3. па собери го целиот народ пред вратата од скинијата на сведоштвото.'
4. И направи Мојсеј како што му заповеда Господ, и го собра народот пред вратата од скинијата на сведоштовто.
5. Потоа му рече Мојсеј на народот: 'Еве што заповеда Господ да се направи - '
6. па го доведе Мојсеј Арона и синовите негови и ги изми со вода.
7. И му облече хитон, и го опаша со појас, го облече со горна одежда, па му стави згора на тоа ефод, и го опаша појасот од ефодот наокоу, и го стегна со него,
8. а на градите одозгора му стави наградник, и на наградникот постави и 'урим' и 'тумим'.
9. Му стави уште на главата и кидар, а на капата спроти лицето му стави златна плочка, знак на светоста, како што му заповеда Господ на Мојсеја.
10. И зеде Мојсеј од елејот за помазание
11. и го попрска жртвеникот седумпати, и го помаза жртвеникот, и го освети, и сите работи на него, и умивалникот, и подножјето негови и ги освети; ја помаза и скинијата, и сите работи во неа и ја освети.
12. И изли од елејот за помазание врз главата Аронова, и го помаза и го освети;
13. потоа ги приведе Мојсеј и синовите Аронови, им облече хитони, ги опаша со појаси, им стави капи на главите, како што му беше заповедал Господ.
14. Го приведе Мојсеј телето како жртва за грев, а Арон и синовите негови ги возложија рацете свои врз главата на телето за грев.
15. Потоа Мојсеј го закла телето и зеде од крвта негова и со прстот свој стави од неа на роговите од жртвеникот наоколу, и го очисти жртвеникот, а другата крв ја изли во подножјето на жртвеникот, и го очисти за да се принесува молитва пред него.
16. Потоа го изведи сиот лој што беше на утробата, и кошулката од слезинката, како и двата бубрега, и лојот околу нив, и сето тоа го стави врз жртвеникот.
17. А телето, со кожата негова и месото негово и нечистотијата ги изгоре со оган надвор од логорот како што му беше заповедал Господ на Мојсеја.
18. Потоа Мојсеј го приведе првиот овен како жртва сепаленица, а Арон и синовите негови ги возложија рацете свои врз главата на овенот;
19. и Мојсеј го закла овенот, и изли од крвта негова на жртвеникот наоколу,
20. па го изече овенот на делови, и ги изгори Мојсеј главата и деловите и лојот; а утробата и нозете ги изми со вода
21. и така го вознесе Мојсеј целиот овен на жртвеникот: тоа е жртва сепаленица со пријатен мирис, принос пред Господа, како што му беше заповедал Господ на Мојсеја.
22. Потоа го доведе Мојсеј вториот овен, овен за посветување; и Арон и синовите негови ги ставија рацете свои врз главата на овенот.
23. Па, откако го закла, зеде Мојсеј од крвта негова и го помаза со неа крајчето од десното уво на Арона и крајот на десната рака негова и крајот на десната нога негова.
24. Го доведе Мојсеј и синовите Аронови, па и ним им ги помаза краевите на десното уво, краевите на десната рака и краевите на десната нога; а другата крв ја изли кај жртвеникот наоколу.
25. Потоа го извади лојот, ги зеде бедрата и лојот што беше на утробата, а и кошулката од слезината, како и двата бубрега, па лојот околу нив, и десната плешка,
26. а од кошницата за посветување, која е пред Господа зеде еден бесквасен леб, и леб со елеј, како и една питка, па ги стави врз лојот и врз десната плешка.
27. И сето тоа му го предаде на Арона в раце и во рацете на синовите негови и го вознесе како жртва пред Господа.

28. Потоа го зеде тоа од рацете нивни Мојсеј и го изгори на жртвеникот заедно со жртвата сепаленица; тоа е жртва за посветување со пријатен мирис, принос пред Господа.
29. Па ги зеде Мојсеј градите и ги одвои од жртвата пред Господа, од овенот за посветување; тоа е Мојсеев дел, како што му беше заповедал Господ на Мојсеја.
30. Потоа зеде Мојсеј од елејот за помазание и од крвта, што беше на жртвеникот, па го попрска Арона и одеждите негови, и синовите негови, и одеждите нивни, го освети Арона и одеждите негови и одеждите нивни.
31. И му рече Мојсеј на Арона и на синовите негови: 'Сварете го ова месо пред дверите на скинијата на сведоштвото, на место свето, и јадете го таму со леб, кој што е во кошницата за посветување, како што ми се заповеда и рече - Арон и синовите негови нека го јадат тоа.
32. А она, што ке остане од месото и од лебот, изгорете го со оган.
33. И не излегувајте од дверите на скинијата на сведоштвото седум дена, додека не се завршат деновите на посветувањето ваше, зашто седум дена ке се посветуваат рацете ваши.
34. Како што се направи денес, така да се прави секогаш според Господовата заповед, за да се очистите од гревот.
35. Затоа пред дверите од скинијата на сведоштвото стојте дење и ноке седум дена и така запазате ги заповедите Господови, за да не умрете, зашто така ми заповеда Господ Бог.'
36. А Арон и синовите негови направија се‘ онака, како што им беше заповедал Господ преку Мојсеја.

Глава 9

1. А во осмиот ден ги повика Мојсеј Арона и синовите негови и старешините Израилеви,
2. па му рече на Арона: 'Земи од говедата свои теле поради грев, и овен за сепаленица, без недостаток и принеси ги пред Господа.'
3. И на старешините Израилеви им рече, велејки: земете козел поради грев од козите ваши, и по еден овен, теле и јагне, едногодишни, принос, без недостаток,
4. а и теле од говедата, и овен жртва за спасение пред Господа, и брашно пченично испржено со елеј, бидејки денес ке ви се јави Господ на вас.'
5. Задоа се‘ како што им заповеда Мојсеј, и сето тоа го донесоа пред скинијата на сведоштвото; се собра целиот народ, па застана пред Господа.
6. Им рече Мојсеј: 'Направете го она што го заповеда Господ, и во се‘ ке се покаже славата Господова.'
7. Му рече Мојсеј на Арона: 'Пристапи до жртвеникот и принеси жртва за гревот твој и твојата жртва сепаленица, помоли се за себе и за домот свој, и принеси жртва за народот и помоли се за нив, како што заповеда Господ.'
8. Тогаш пристапи Арон до жртвеникот и закла теле поради својот грев,
9. и принесоа синовите Аронови крв до него, и тој го натопи прстот свој во крвта и стави од неа на роговите од жртвеникот, а остатокот од крвта го изли во подножјето на жртвенкот;
10. лојот и обата бубрега, и кошулката на селзината, ги постави врз жртвеникот поради својот грев, како што му беше заопведал Господ на Мојсеја;
11. месото, пак, го изгори надвор од логорот.
12. Потоа закла жртва сепаленица, и синовите Аронови му поднесоа од крвта нејзина, а тој ја изли на жртвеникот одозгора наоколу;
13. му ја донесоа и жрвата сепаленица во делови; сето тоа, и главата, ги изгори на жртвеникот,
14. а утробата и нозете ги изми со вода, и ги стави врз жртвеникот заедно со жртвата сепаленица.
15. Потоа тој принесе дар од народот; зеде козел поради гревот на народот, го закла, го очисти како и првиот
16. и го принесе како жртва сепаленица, и го изврши тоа според заповедите како што треба.
17. А принесе и жртва и ги наполни рацете со неа, и ја постави на жртвеникот, па врз утрената сепаленица ја изгоре и неа на жртвеникот.
18. А закла и теле и овен како жртва за спасение на народот, и синовите Аронови му принесоа од крвта нивна, и тој ја изли врз жртвеникот одозгора наоколу;
19. а лојот од телето и бедрата од овенот, и лојот што ја покрива утробата, и обата бубрега, и лојот од нив, како и мрежичката од слезината ги извади,
20. па го стави лојот врз градите, и го вознесе лојот на жртвеникот;
21. градите, пак, и десната плешка ги зеде Арон како учест пред Господа, како што му заповеда Господ на Мојсеја.
22. Потоа ги подигна Арон рацете кон народот и го благослови, па потоа слезе, откако принесе жртва поради гревот и жртва сепаленица, како и жртва за спасение.
23. А Мојсеј и Арон влегоа во скинијата на сведоштвото, па излегоа и го благословуваа целиот народ и им се јави славата Господава над сите лу е:
24. и се јави оган од Господа и изгоре над жртвеникот се‘ - и сепалениците, и лојот; а народот, кога го виде тоа, се уплаши многу и падна ничкум на земјата.

Глава 10

1. Двата сина Аронови, Надав и Авиуд, земајки ја секој својата кадилница, ставија оган во нив, па ставија во нив и кадиво, и принесоа пред Господа ту оган, иако тоа не им беше заповедал Господ.
2. Тогаш излезе оган од Господа, и ги изгоре, и умреа пред Господа.
3. И му рече Мојсеј на Арона: 'Тоа е она што го рече Господ, велејки преку оние што ке пристапуваат кон Мене, ке се осветам и во цел собор ке се прославувам.' И Арон се смири.
4. Потоа Мојсеј ги повика Мисаила и Елисафана, синовите на Озил, чичкото на Арона, и им рече: 'Дојдете и извадете ги браката ваши од светилиштево надвор од логоров.'
5. И тие пристапија и ги изнесоа заедно со хитоните нивни надвор од логорот, како што рече Мојсеј.
6. Па му рече Мојсеј на Арона и на Елеазара и на Итамара, другите негови синови: 'Не откривајте ги вашите глави, а и одеждите ваши да не ги раскинувате, за да не умрете и Господ да не се разгневи на целиот народ, туку браката ваши, целиот дом Израилев нека плаче поради огнот што се запали од Господа;
7. и не излегувајте од дверите на скинијата на сведоштвото, за да не загинете, зашто елејот за помазание на вас е од Господа.' И направија според зборовите на Мојсеја.
8. И Господ му рече на Арона, велејки:
9. 'Вино и сикер да не пиете, ти и синовите твои, кога ке влегувате во скинијата на сведоштвото, а и кога ке пристапувате кон жртвеникот, за да не загинете, тоа нека ви биде вечен закон во поколенијата ваши:
10. за да можете да распознавате што е свето, а што не е; и што е чисто, а што не;
11. учете ги синовите Израилеви на сите заповеди, што им ги кажа Господ преку Мојсеја.'
12. Потоа Мојсеј му рече на Арона, и на Елеазара и на Итамара, другите негови синови: 'Земајте од жртвата што ке преостане и од приносите пред Господа и јадете го тоа кај жртвеникот, зашто тоа е најголема светиња.
13. И јадете го тоа на свето место, бидејки тоа е законски дел твој и законски дел на синовите твои од приносите пред Господа; зашто така ми заповеда Господ.
14. А градите од жртвата што се принесува и плешките да ги јадете на свето место, ти и синовите твои, и домот твој со тебе, зашто со закон ти се даде тебе и на синовите твои дел од жртвите за спасение, што ги принесуваат синовите Изралеви.
15. Плешките од жртвите што се принесуваат и градите од жртвите вознесувани да се донесуваат заедно со лојот што се вознесува пред Господа, и тоа да биде твое, и на синовите твои, и на керките твои со тебе, како дел со вечен закон, како што му заповеда Господ на Мојсеја.'
16. Потоа Мојсеј побара козел како жртва поради грев; но, ете, тој беше изгорел; затоа се разгневи Мојсеј на Елеазара и на Итамара, синовите Аронови и рече:
17. 'Зошто не јадевте на свето место, бидејки тоа е жртва поради грев што е најголема светиња; таа ви ја дава Господ вам да ја јадете, за да го ослободи целиот народ од грев и да се помолите за нив пред Господа;
18. и ете крвта негова не е внесена во светилиштето; зашто требаше да ја јадете на свето место, внатре, како што ми заповеда Господ.'
19. Тогаш му рече Арон на Мојсеја, велејки: 'Еве, тие денес принесоа жртва поради својот грев и жртва сепаленица пред Господа; и ми се случи ова. А да бев јал денес од жртвата за грев, ке Му беше ли тоа угодно на Господа?'
20. Го чу тоа Мојсеј и му беше угодно.

Глава 11

1. И му рече Господ на Мојсеја и на Арона, велејки:
2. 'Кажете им на синовите Израилеви и речете им: ова се животните што ги има на земјата, кои можете да ги јадете -
3. секое животно што има раздвоени копита и длабок рез ме у копитата, и кое прежива, тоа да го јадете.
4. Но од оние што само преживаат или само што имаат раздвоени копита, како што е камилата, да не јадете, бидејки прежива, но нема и раздвоени копита; таа е за вас нечиста.
5. И питом зајак, бидејки прежива и нема раздвоени копита, нечист да ви е,
6. и див зајак кој прежива, а нема раздвоени копита, нечист да ви е,
7. и свињата, бидејки има раздвоени копита, а не прежива - нечиста да ви е.
8. Од месото нивно да не јадете, ниту, пак, мршите нивни да ги допирате - тие се за вас нечисти.
9. А од се‘ она, пак, што е во вода ова јадете го: - се‘ што има перки и лушпи во водата, во морињата и езерата, јадете го.
10. Она, пак, што нема перки и лушпи во водата, во морињата и езерата, се‘ она што плива по вода и живее во вода, осквернето е и нечисто да ви е.
11. Од месото нивно да не јадете и од мршата нивна да се гнасите.
12. Се‘ што нема перки и лушпи во водата, тоа да ви е нечисто.
13. А ме у приците гнасете се и да не ги јадете, гнасни се - орелот и јастребот и морскиот орел, неситот, крагујот и слични на нив;
14. и нојот, и совата, и галебот,
15. и врапчето,
16. и секаков гавран и сличен нему, и јастребот и слични нему
17. и секаков буф, нуркач и ибис и слични на него;
18. и пеликанот, и лебедот, дропјата
19. и штркот, и чапјата и слични на нив, и пупунецот и лиљакот;
20. и сите крилести гадови што одат на четири нозе, да ви се одвратни.
21. Но од се‘ она што има крилја и оди на четири нозе, а има и колена на нозете свои, за да скока по земјата, јадете.
22. Од нив јадете ги само овие: скакулците и слични на нив, салемот и слични на него, арголата и слични на неа, и агавата и слични на неа.
23. Се‘ друго што има крилја и оди на четири нозе одвратно да ви е; со тоа да не се осквернувате.
24. И секој што ке се допре до нивно пцовисано тело, нечист ке биде до вечерта.
25. И секој што ке понесе нивно пцовисано тело, нечист ке биде до вечерта.
26. Сите животни што имаат нераздвоени копита и што не преживаат, нечисти да ви се; секој што ке се допре до такви пцовисани, нечист ке е до вечерта.
27. И се‘ што оди на лапите свои, ме у сите четвороножни животни, нечисто да ви е; кој ке се допре до трупот нивни, нечист ке биде до вечерта
28. И кој ке понесе труп нивни пцовисан, нека ја испере облеката своја и нечист е до вечерта; тие да ви бидат одвратни.
29. А ме у животните што лазат по земја да ви бидат нечисти: ласицата, глувчето и гуштерот,
30. и ежот и камелеонот, standard дождалецот, творот, полжавот и кртот.
31. Тие да ви се нечисти ме у животните што лазат по земјата, и кој ке се допре до нив пцовисани, нечист да е до вечерта.
32. И на кои или на што ке падне нешто од нив пцовисано, ке биде нечист, било да е сад дрвен или облека или кожа или врека, и секој сад што е потребен за некоја употреба, да се стави во вода и ке биде нечист до вечерта; потоа ке биде чист.
33. А и секој сад земјен, во кој ке падне нешто од тоа, и се‘ што ке е во него, ке биде нечисто, и

садот скршете го.
34. И секое јадење што го јадете, ако на него се излие таква вода, ке биде нечисто, и секое питие што се пие во секој таков сад, ке ви биде нечисто.
35. И се‘ на што ке падне нешто од нивните пцовисани тела нечисто ке е; и печката и огништето нека се растурат, зашто се нечисто, и нечисто ке ви бидат.
36. А освен изворот, потоците и бунарот, каде што се собира водата, ке бидат чисти; но се‘ што ке се допре до пцовисан труп, ке биде нечисто.
37. Ако нешто, пак, од пцовисан труп падне на семе, што се сее, тоа ке ви биде чисто.
38. Но ако на семето се излие вода, па тогаш падне нешто од пцовисан труп на семето, тоа да ви биде нечисто.
39. И кога ке пцовиса што и да е од она од добитокот што го јадете, ако некој се допре до неговито труп, нечист ке биде до вечерта.
40. А оној што ке јаде од трупот негов, нека ја испере облеката своја и нечист ке е до вечерта; и кој ке фати нивни пцовисан труп, нека ја испере облеката своја и нечист ке е до вечерта.
41. И секаков гад што лази по земјата, да ви е одвратен и да не се јаде.
42. Се‘ што се влече на мев и се‘ што оди на четири нозе или што е со многу нозе ме у се‘ она што се влече по земјата, тоа да не го јадете, бидејки е нечисто.
43. Не поганете ги душите ваши со ниедно од животните што лазат и не осквернувајте се од нив, за да не бидете нечисти со нив,
44. зашто Јас сум Господ, вашиот Бог, осветувајте се и бидете свети, бидејки Јас сум свет; и немојте да се осквернувате од сите гадови што се движат по земјата.
45. Оти Јас сум Господ што ве изведе од земјата Египетска, за да ви бидам Бог; и така - бидете свети, зашто Јас сум свет.
46. Тоа е закон за добитокот и за птиците, и за секоја душа што се движи во вода, и за секоја душа што лази по земја,
47. за да се распознава чистото од нечистото и за да ги научите синовите Израилеви за животните кои можат да се јадат од животните што не треба да се јадат.'

Глава 12

1. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
2. 'Кажи им на синовите Изрилеви и речи им - кога жената ке забремени и роди машко дете, нечиста ке биде седум дена, како во деновите на природното очистување свое, така ке биде нечиста.
3. А во осмиот ден нека му се обреже на детето крајниот дел.
4. А таа нека остане уште триесет и три дена чистејки се од крвта; до ништо свето да не се допира и да не влегува во светилиштето се‘ додека не изминат деновите не нејзиното чистење.
5. А ако роди женско дете, тогаш нечиста да е четиринаесет дена, како во времето на природното чистење, и шеесет и шест дена нека остане, чистејки се од крвта на својата нечистотија.
6. И кога ке се навршат деновите на чистењето нејзино, тогаш заради синот или заради керката нека донесе при свештеникот пред скинијата на сведоштвото јагне без недостаток, едногодишно - жртва сепаленица или гулапче или грлица како жртва поради грев.
7. И свештеникот нека ја принесе пред Господа и да се помоли за неа, и така ке ја очисти од течењето на крвта нејзина. Тоа е закон за жената што ке роди машко или женско дете.
8. Ако не е во можност да донесе јагне, тогаш нека земе две грлици или две гулапчиња, едното како жртва сепаленица, а другото поради жртва за грев; ке се помоли за неа свештеникот, и таа ке се очисти.'

Глава 13

1. И им рече Господ на Мојсеја и на Арона, велејки:
2. 'Човек кај кого на кожата од телото негови се појави краста, оток, или, пак, по кожата на телото негово се појави знак на лепра, нека се доведе кај Арона свештеникот, или кај некој свештеник, еден од синовите негови.
3. И нека ја види свештеникот раната од кожата на телото негово; па, ако влакната на раната побелеле и раната на поглед е пониска од другата кожа на телото негово, тогаш тоа е лепра; и кога ке го види тоа свештеникот, ке го прогласи за осквернет.
4. Ако, пак, и отокот на кожата од телото негово побелел, и на поглед не спаднал, а влакната на кожата не побелеле, туку се темни, тогаш тој нека остане седум дена во темно место, а за раната свештеникот ке одлучи во седмиот ден.
5. А во седмиот ден нека ја види свештеникот раната; ако забележи дека раната останала таква каква што била и не се раширила по кожата, пак нека го одвои за седум дена.
6. Свештеникот, пак, нека ја види раната во седмиот ден, па ако забележи дека раната потемнела, а не се раширила по кожата, тогаш свештеникот нека го прогласи за чист; тоа е лишај; нека ја испере облеката своја и ке биде чист.
7. Ако, пак, раната се прошири по кожата негова, откако свештеникот ја видел и го прогласил за чист, одново нека му се покаже на свештеникот; и ако свештеникот види дека раната на кожата негова се изменила,
8. тогаш нека го прогласи за нечист; тоа е лепра.
9. Кога човек има лепра, нека го приведат кај свештеникот.
10. И свештеникот нека го види; ако струпот на кожата станал бел, а и влакната се побелени, ако и здраво месо има во струпот,
11. тоа е застарена лепра на кожата негова; затоа свештеникот нека го прогласи за нечист, и да го одвои, бидејки е нечист.
12. Кога лепрата се појави на кожата и ја прекрие целата кожа на човекот, од главата до нозете, колку што може да види свештеникот,
13. па кога ке види дека лепрата ја покрила целата кожа на него, ке го прогласи човекот дека е чист, бидејки се‘ побелело, па е чист.
14. А во оној ден кога ке се појави на него живо месо, тој е осквернет, нечист е.
15. Па, штом види свештеникот живо месо, ке го прогласи дека е нечист; живото месо е нечисто, тоа е лепра.
16. Ако живото месо се измени и побели, тогаш нека дојде кај свештеникот.
17. Кога ке види свештеникот дека раната побелела, ке го прогласи за чист, чист е.
18. Ако кај него на кожата имало чир, па поминал, а
19. потоа на местото каде што бил чирот се појави бела краста, струп, или плуска што се белее или црвенее, нека се покаже пред свештеникот.
20. Ако свештеникот на поглед забележи дека таа е пониска од другата кожа и влакната на неа се побелени, тогаш ке го прогласи за нечист; тоа е лепра што излегла од плуската.
21. Ако свештеникот забележи дека влакната на неа не побелеле ниту е таа пониска од кожата, туку потемнеле, тогаш свештеникот ке го одвои за седум дена.
22. Ако му се прошири по кожата, тогаш свештеникот ке објави дека е нечист; тоа е рана.
23. И ако плуската останала на своето место и не се проширила, тогаш тоа е воспалена рана; затоа свештеникот ке го прогласи за чист.
24. Ако некој на кожата се изгорел, па откако местото ке заздрави, остане бел или црвеникав или пробелен,
25. тоа треба да го види свештеникот; ако влакната од кожата на тоа место побелеле и ако на поглед тоа место е пониско од кожата, тоа е лепра што се појавила од изгореното; затоа него свештеникот ке го прогласи за нечист; тоа е рана од лепра.
26. Штом свештеникот забележи дека на тоа место нема бели влакна и дека тоа не е пониско

од другата кожа, туку само потемнело, ќе го одвои за седум дена.
27. Во седмиот ден ќе го прегледа свештеникот, па, ако таа по кожата се проширила, нека го прогласи за нечист; тоа е рана од лепра, протекол гној.
28. Ако е, пак, тоа место светликаво и раната не се проширила по кожата, а и темно е, тогаш тоа е рана од изгоретина. Него свештеникот нека го прогласи за чист; тоа е воспаление од изгорено.
29. Кога при маж или жена се појави рана од лепра на главата или брадата,
30. а свештеникот ја види раната, и утврди дека е таа подлабока од кожата и дека влакната на тоа место се истенчиле и пожолтеле, него нека го прогласи за нечист: тоа е рана, односно лепра на главата или на брадата.
31. Но кога свештеникот ја прегледа раната и утврди дека таа не е подлабока од кожата и дека влакната на тоа место не пожолтеле, тогаш болниот што има рана нека го одвои за седум дена.
32. Во седмиот ден свештеникот пак нека ја прегледа раната. И ако таа не се проширила ниту влакната пожолтеле и се види дека таа не навлагле подлабоко од кожата,
33. тој треба да ги истриже влакната на кожата, на повреденото место да не се стриже и тогаш свештеникот повторно да го оддели за уште седум дена.
34. Во седмиот ден свештеникот одново да ја прегледа раната. Па, ако увиди дека таа не се проширила по кожата на острижените места и дека на навлегла подлабоко во кожата, болниот нека го прогласи за чист; а тој нека ја испере облеката своја и ќе биде чист.
35. Но, ако раната се проширила по кожата, откако е веќе прогласен за чист,
36. свештеникот пак нека го прегледа и ако утврди дека таа се проширила по целата кожа - тогаш нека не бара жолтеникави влакна, бидејќи тој е нечист.
37. Ако, пак, раната остане неизменета и во неа изникнале црни влакна, тоа значи дека раната е исцелена: тој е чист. Свештеникот нека го прогласи за чист.
38. Ако по кожата на телото на маж или жена има пеги или бели дамки,
39. и свештеникот види и утврди дека по кожата има пеги, односно бели светли дамки, тогаш тоа е лишај, кој се појавил на кожата на неговото тело. Тој е чист.
40. Ако некому му паднала косата од главата, тој е ќелав - но чист е;
41. ако, пак, некому му паднала косата само од предната страна на главата, тоа е пак ќелавост - чист е.
42. Ако по ќелавото или прокелавото место се појавиле белузлави дамки или црвеникави пеги, тоа што се појавиле тие тоа е лепра на ќелавото, односно прокелавото место.
43. Свештеникот да го прегледа, и ако види дека отокот на раната е белузлав или црвеникав по ќелавото или прокелавото место и изгледа како лепра по кожата на телото негово,
44. тој е лепрозен, нечист; свештеникот да го прогласи за нечист: зашто на главата има рана.
45. На лепрозниот, кој има таква рана, облеката да му се раскине, и главата да му биде откриена, да биде забраден околу устата и да извикува: нечист сум!
46. Се' додека ја има раната треба да се смета за нечист; тој е нечист и треба да живее одвоена; неговото жевеалиште да биде надвор од населбата.
47. Ако се јави зараза од лепра и на облеката - волнена или ленела
48. или врз основата или јатокот ленен или волнен, или на кожа, или на се' што е направено од кожа,
49. и ако дамките се зеленикави или црвеникави на облеката или на кожата, или на основата или јатокот, или на каков и да било предмет од кожа - тоа е зараза од лепра; таа треба да му се покаже на свештеникот,
50. а свештеникот нака ја прегледа заразата и заразеното да го оддели за седум дена.
51. На седмиот ден свештеникот нака го прегледа заразеното: па, ако заразата се проширила по облеката, или по основата, или по јатокот, или по кожата, или по каков и да било предмет од кожа, лепрата е рана, нечист е.
52. Тој треба да ја изгори облеката, било основата, било волнениот или ленениот јаток, или

каков и да било предмет од кожа, на кој се појавила заразата, бидејки тоа е вистинска лепра - на оган да се изгори.
53. Ако свештеникот види дека заразата не се проширила по облеката или по основата или по јатокот, или па каков и да било предмет од кожа,
54. нека нареди да се испере она на што има зараза, и повторно да го отстрани за уште седум дена.
55. А ако по миењето свештеникот види дека заразеното не го изменило својот изглед, па дури и ако не се раширило, тоа е нечисто: треба да се изгори на оган, бидејки се појавило на облека, основа или јаток.
56. Ако, пак, свештеникот види дека по перењето се појавила темна рана, тогаш тој нека ја истргна од облеката, или од кожата, или од основата, или од јатокот.
57. Ако се појави пак белег од заразата што се проширила на облеката или на основата или на јатокот, тоа е зараза: да се изгори на оган она на што се појавила заразата.
58. Ако, пак, откако ке се испере облеката или основата, или јатокот или каков и да било предмет од кожа, заразата се загубила од нив, треба повторно да се исперат, и ке бидат чисти.
59. Тоа е законот за зараза од лепра врз облеката волнена или ленана, врз основа или јаток, или врз каков и да било кожен предмет - како да се објави дека и тој чист или нечист.'

Глава 14

1. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
2. 'Еве го законот за лепрозен, кога се извршува неговото очистување: во денот кога треба да го доведат кај свештеникот.
3. Свештеникот треба да излезе надвор од населбата, па ако увиди дека тој се исцерил од лепрата,
4. да нареди за оној што се очистил да се замат две чисти живи птици, кедрово дрво, црвениот јаток и исоп.
5. Потоа свештеникот да заповеда да се заколе една од прициите над глинен сад, над изворска вода;
6. и да ја земе живата птица, кедровото дрво, црвениот јаток и исопот, и да ги натопи нив и живата птица во крвта на птицата заклана над живата вода,
7. и попрскувајки го седумпати оној, што се очистил од лепрата, да го прогласи за чист, а живата птица да ја пушти в поле на слобода.
8. Оној, што се очистил, да ги испере алиштата свои, да ја истриже сета коса, да се измие со вода, и ке биде чист; потоа да влезе во населбата и да престои седум дена надвор од домот свој.
9. На седмиот ден да се избричат сите влакна на главата, на брадата, на ве ите - сите влакна да ги избричат и да ги испере алиштата, потоа да го измие телото свое со вода, и ке биде чисто;
10. на осмиот ден да земе две машки јагниња, едногодишни, без недостаток, и една овца едногодишна без мана како и три десетини од ефа пченично помешано брашно со елеј, со лебен принос, и една мерка елеј.
11. Свештеникот, што ке го врши очистувањето, да го претстави оној што се очистува заедно со приносот пред Господа при влезот од скинијата на сведоштвото.
12. И ке го земе свештеникот едното јагне и ке го приведе како жртва за престап, и мерка со елеј, а ке го принесе тоа, положувајки ги пред Господа;
13. и ке го заколе јагнето на она место, каде што се колат жртвите сепалеции поради грев, и тоа на свето место, зашто жртвата за грев како и за престап му припа а на свештеникот: тоа е светост над светостите.
14. И свештеникот ке земе од крвта на жртвата за престап и ке го намаже крајчето од десното уво на оној кој се очистува, и палецот на десната рака, и палецот на десната нога.
15. Потоа свештеникот ке земе елеј од чашата и ке го излие во својата лева рака,
16. Па ке го натопи својот десен прст во елејот што му е во левата рака, и со прстот ке попрска од елејот седумпати пред Господа,
17. а со остатокот од елејот, што му е во раката, ке го намачка крајчето од десното уво на оној што се очистува, и палецот на десната нога, и палецот на десната рака, на оние места каде што е крвта од жртвата поради престап.
18. Преостанатиот, пак, елеј, што му е во раката на свештеникот, тој ке го излие врз главата на оној што се очистува; и свештеникот ке се помоли за него пред Господа.
19. Потоа свештеникот ке ја принесе жртвата за грев и ке се помоли за оној што се очистува од гревот свој, а потоа ке ја заколе жртвата сепаленица.
20. и ке ги принесе жртвата сепаленица и лебниот принос на жрвеникот пред Господа; потоа свештеникот ке се помоли за него и тој ке се очисти.
21. Ако е, пак, сиромав и не е во можност, тој нека земе едно едногодишно јагне за она во што престапил, за да се помоли свештеникот за него, и еден десетти дел од ефа пченично брашно, помешано со елеј, како лебен принос, и една чаша со елеј,
22. и две грлици или два млади гулаба, што ке најде, - едната од тие птици да е жртва за грев, а другата како жртва сепаленица.
23. На осмиот ден, за да се очисти, да му ги донесе тој на свештеникот при вратата од

скинијата на сведоштвото, пред Господа.
24. Свештеникот ќе го земе јагнето како жртва за престап и мерката со елеј, за да ги принесе, како жртва пред Господа.
25. И, штом ќе го заколе јагнето како жртва за престап, свештеникот ќе земе од крвта на жртвата за престап и ќе го намаже крајчето од десното уво на оној, кој се очистува, и палецот на десната рака, и палецот на десната нога.
26. А од елејот свештеникот ќе излие во својата лева рака;
27. и со десниот прст, од елејот што му е во раката, да попрска седумпати со прст пред Господа.
28. И да го намаже свештеникот со елеј, од оној што му е во раката, крајчето на десното уво на оној што се очистува, и палецот на десната рака, и палецот на десната нога, на она место каде што е крвта од жртвата за престап.
29. Остатокот, пак, од елејот што му е во раката, да ги излие врз главата на оној што се очистил, и да се помоли за него пред Господа.
30. Потоа нека ја принесе свештеникот едната грлица, или едниот млад гулаб, каков што ќе најде, оној, кој се очистува;
31. едната птица жртва за грев, а другата жртва сепаленица заедно со лебникот принос; и нека се помоли пред Господа за оној, кој се очистува.'
32. Тоа е законот за оној што добил лепра, а при чистењето нема доволно средства.
33. И им рече Господ на Мојсеја и на Арона, велејќи:
34. 'Кога ќе влезете во земјата Хананска, што ви ја давам да ја владеете, и испратам лепра во куќите што ќе бидат ваши,
35. тогаш оној, чија е куќата, треба да отиде кај свештеникот и да каже - во мојата куќа се појави рана.
36. А свештеникот ќе нареди куќата да се изпразни пред да влезе тој за да ја прегледа заразата, за да не стане нечисто се‘ што е во куќата, потоа свештеникот ќе влезе и ќе ја прегледа куќата.
37. И тој, кога ќе ја прегледа раната и види дека заразата по ѕидовите на куќата се состои од зеленикави или црвеникави длабнатинки и по својот изглед се всадила во ѕидовите,
38. тој, тогаш ќе излезе од куќата низ вратата, а куќата ќе ја затвори за седум дена.
39. А во седмиот ден кога ќе се врати, и види дека заразата се проширила по ѕидовите на куќата,
40. ќе нареди да се извадат камењата на кои има зараза, и да ги фрлат надвор од населбата, на нечисто место;
41. а куќата одвнатре целата да ја истружат и струганиците да ги исфрлат надвор од населбата, на нечисто место;
42. И да земат други камења и да ги стават на местото на извадените и со друга мачканица да ја измачкаат куќата.
43. Ако заразата пак се појави и почне да се шири по куќата, откако се извадени камењата и куќата е истругана и премачкана,
44. свештеникот, штом ќе влезе и види дека заразата се раширила по куќата, во таа куќа има лепра - нечиста е.
45. Таа куќа да се урне, а камењата и дрвата и целата струганица од мачканицата на куќата да се изнесат надвор од населбата, на нечисто место.
46. Оној што ќе влегува во таа куќа, додека е таа затворена, нечист ќе биде до вечерта;
47. а оној што ќе спие во таа куќа да ја испере облеката своја и нечист да е до вечерта; а кој ќе јаде во таква куќа, и тој треба да ја испере облеката свој и нечист ќе е до вечерта.
48. Ако, пак, свештенкот дојде и види дека заразата во куќата не се раширила, откако е куќата премачкана, нека ја очисти куќата, бидејќи заразата поминала.
49. А за да ја очисти куќата, ќе земе две чисти живи птици, кедрово дрво, црвен јаток и исоп,
50. и ќе ја заколе едната птица во гленен сад над изворска вода.

51. Потоа тој ќе го земе кедровото дрво и исопот, црвеникот јаток и живата птица и ќе ги натопи во крвта од закланата птица и во изворската вода, и ќе ја попрска куќата седумпати,
52. и ќе ја очисти куќата со крвта од птицата и со живата вода, со живата птица и кедровото дрво, со исопот и со црвениот јаток;
53. потоа живата птица да ја пушти во полето на слобода, надвор од населбата, да се помоли за домот и домот ќе биде чист.
54. Тоа е законот за секоја зараза од лепра и за друга проказа,
55. и за лепра по облеката и по куќите,
56. и за оток, и за лишај, и за пеги, -
57. за да се знае кога се нечисти, а во кој ден ќе бидат чисти: ова е законот за лепра.'

Глава 15

1. И им рече Господ на Мојсеја и на Арона, велејки:
2. 'Зборувај со синовите Израилеви и кажи им: ако некој маж има излив од телото свое, неговиот излив е нечист.
3. А ова е законот за неговата нечистотија: кога изливот истечува од неговото тело, и кога изливот се задржува во неговото тело, тоа е негова нечистотија во него самиот. Во сите денови на изливот од неговото тело, со што е опфатено неговото тело - тоа е негова нечистотија.
4. Секоја постела, на која ке легне оној што има излив од семе, нечиста е; и секој предмет, на кој ке седне оној кој има излив од семе, нечист е.
5. И кој ке се допре до неговата постела, да ја испере облеката своја и да го измие телото свое со вода и да биде нечист до вечерта.
6. А и кој ке седне на некој предмет, на кој седел оној што има излив од семе, да ги испере алиштата свои и да се измие со вода и ке биде нечист до вечерта.
7. И кој се допре до телото на оној што има излив од семе, да ја испере облеката своја и да се измие со вода и да биде нечист до вечерта.
8. Ако оној, што има излив од семе, плукне на чист, тогаш тој да ги испере алиштата свои и да се измие со вода и ке биде нечист до вечерта;
9. и секое седло на добиток, на кое седнал оној што има излив од семе, нечисто да е до вечерта;
10. и секој што ке се допре до што и да било, што било под него, нечисто ке биде до вечерта; и оној што ке го крене тоа, да ја испере облеката своја и да се измие со вода и ке биде нечист до вечерта.
11. И секој, до кого што ке се допре оној што има излив од семе, а не си ги измил рацете свои, да ги испере алиштата свои и да го измие телото свое со вода и нечист ке биде до вечерта.
12. Гленен, пак, сад до кој што ке се допре оној што има излив од семе, да се скрши; а секој дрвен сад да се измие со вода и ке биде чист.
13. А кога оној, што има излив од семе, ке си определи седум дена за очистување свое, да ја испере облеката своја и да го измие телото свое, со изворска вода, па ке биде чист;
14. а на осмиот ден да земе две грлици или два млади гулаба, и да ги донесе пред Господа при влезот до скинијата на сведоштовото, и да му ги даде на свештеникот.
15. А свештеникот едната од тие птици ке ја принесе како жртва за грев, а другата за сепаленица, а потоа пред Господа за него ке се помоли за изливот негов.
16. Ако некому му се случи излив на семе во сон; тогаш тој треба да го измие со вода целото тело свое и ке биде нечист до вечерта;
17. секоја облека или кожа, на која ке се излие семе, треба да се испере со вода и ке биде нечист до вечерта.
18. Ако маж легне со жена своја со излиено семе, тие и обајцата треба да се измијата со вода и ке бидат нечисти до вечерта.
19. Кога жена има излив на крв, што тече од нејзиното тело, треба да биде одделена седум дена додека е нечиста, и секој што ке се допре до неа, да биде нечист до вечерта.
20. И се‘, на што ке легна таа, додека трае очистувањето нејзино, да е нечисто; и се‘, на што ке седна таа, да е нечисто.
21. И секој што ке се допре до постелата нејзина, треба да ја испере облеката своја и да го измие со вода телото свое, и ке биде нечист до вечерта.
22. А и секој, што ке се допре до постелета нејзина, треба да ја испере облеката своја и да го измие со вода телото свое, и ке биде нечист до вечерта.
23. И ако некој се допре до што и да било што е на постелата нејзина, или на што и да е, на што седела таа, нечист да биде до вечерта.
24. А ако се неа биде некој, нечистотијата нејзина ке мине на него: ке биде нечист седум дена,

и секоја постела на која ќе легне тој, ќе биде начиста.
25. Ако некоја жена има излив на крв многу денови, но не во текот за време очистувањето нејзино, и ако таа има излив подолго од нејзиното обично чистење, се‘ додека трае нечистотојата нејзина, нечиста е како за време на чистењето свое.
26. Секоја постела, на која ќе легна таа во деновите на изливот нејзин, да биде нечиста како и постелата за време на нејзиното чистење; и се‘ она, на што ќе седна таа, да биде нечисто, поради нечистотијата нејзина.
27. И секој што ќе се допре до неа, да биде нечист, да ги испере алиштата свои и да го измие телото свое и нечист ќе биде до вечерта.
28. А кога жена ќе се исчисти од изливот свој, да изброи седум дена и потоа ќе биде чиста.
29. Во осмиот ден да зема две грлици или два млади гулаба и да му ги однесе на свештеникот при влезот од скинијата на сведоштвото;
30. а свештеникот да принесе една од птиците како жртва за грев, а другата за сепаленица, и да се помоли за неа пред Господа поради изливот на нечистотијата нејзина.
31. Така пазете ги синовите Израилеви од нивната нечистотија, за да не умрат поради нечистотијата своја, ако го осквернат Моето живеалиште, кое е ме у нив.
32. Тоа е законот за оној што има излив од семе, и за оној што ќе му се случи да има излив на семе при спиење, бидејќи тоа го прави нечист;
33. а и за онаа што страда од излив на крв, и за оние што имаа излив, маж или жена, и за маж што ќе преспие со нечиста.'

Глава 16

1. И му зборуваше Господ на Мојсеја по смртта на двајцата Аронови синови, кога тие, откако принесоа ту оган пред Господа умреа;
2. па му рече; - 'Кажи му на братот твој Арона да не влегува во светилиштето зад завесата во секое време пред очистилиштето, што е врз ковчегот на сведоштвото, за да не умре, бидејќи Јас ќе се јавувам над очистилиштето во вид на облак.
3. Еве вака да влегува Арон во светилиштето: со теле како жртва за грев и со овен за сепаленица.
4. Тој треба да го облекува осветениот ленен хитон, на долната половина од телото свое да има ленена облека и да се опашува со ленен појас, ленен кидар да става - тоа се свети облеки; прво треба да го измие целото свое тело со вода и потоа да ги облекува.
5. И од заедницата на синовите Израилеви да земе Арон два козела од козите како жртва за грев и еден овен за сепаленица.
6. Потоа Арон да приведе теле како жртва поради гревот свој и да се помоли за себе и домот свој,
7. па ќе ги земе двата козела и ќе ги постави при вратата од скинијата на сведоштвото.
8. И тогаш Арон ќе фрли жреб за двата козела: еден жреб за Господа, а другиот за отпуштање.
9. И да го доведе Арон козелот на кој паднал жребот за Господа, и да го приведе како жртва за грев;
10. а козелот на кој паднал жреб за отпуштање, да го постави жив пред Господа, и откако се помоли над него, да го пушти во пустињата за отпуштање, и козелот ќе ги понесе врз себе сите нивни беззаконија во непроодна земја.
11. Потоа Арон да го приведе телето како жртва поради својот грев и да се помоли за себе и за домот свој и да го заколе како жртва поради гревот свој.
12. А потоа да земе кадилница, полна со разгорени јаглења од жртвеникот, што е пред Господа, и да ги наполни рацете со чист темјан, и тоа да го внесе зад завесата;
13. и да го стави темјанот врз огнот пред Господа; и димот од темјанот ќе го покрие очистилиштето, што е над ковчегот на сведоштвото, за да не умре.
14. И ќе земе од крвта на телето и со прст ќе го попрска очистилиштето од источната страна; седумпати да попрска од крвта со прстот свој пред очистилиштето.
15. Тогаш да го заколе козелот пред Господа - жртва поради грев на народот, и да внесе од крвта негова зад завесата, и со неа да направи исто што направи со крвта од телето, и да попрска врз очистилиштето и спрема очистилиштето,
16. и да го очисти светилиштето од нечистотиите на синовите Израилеви и од неправдите нивни, и од сите нивни гревови. Така треба да постапи тој и со скинијата на сведоштвото, која е ме у нив, среде нечистотиите нивни.
17. Кога влегува во светилиштето треба да се помоли, и се‘ додека тој не излезе, никој да нема во скинијата, а и да се помоли за себе, за домот свој и за целото општество на Израилот.
18. Потоа ќе пристапи пред жртвеникот, што е пред Господа, и ќе се помоли над него и ќе земе од крвта на телето и од крвта на козелот, и ќе го помаже роговите на жртвеникот наоколу,
19. и ќе попрска со прстот свој од крвта седумпати, за да го очисти и освети од нечистотиите на синовите Израилеви.
20. Па, откако ќе ги очисти светилиштето, скинијата на сведоштвото и жртвеникот и откако ќе ги очисти свештениците, ќе го приведе живиот козел.
21. Потоа да ги положи Арон двете свои раце врз главата на живиот козел, да ги исповеда над него сите беззаконија на синовите Израилеви, и сите нивни престапи, и сите нивни гревови, и да ги стави врз главата на живиот козел, и да го пушти преку раката на определен човек во пустињата;
22. и козелот ќе ги понесе врз себе сите нивни беззаконија во непроодна земја; и да го пушти

козелот во пустињата.
23. Тогаш Арон да влезе во скинијата на сведоштвото, да ја соблече лenената облека, во која беше облечен при влегувањето во светилиштето, и таму да ја остави,
24. и да го измие телото свое со вода на свето место, да ги облече своите алишта, па, штом ќе излезе, да принесе сепаленица за себеси и за сиот народ, да се помоли за себе, за домот свој, за народот и за свештениците;
25. лојот пак од жртвата за грев да го принесе врз жртеникот.
26. А оној, што ќе го одведува козелот за отпуштање, да ја испере облеката своја, да го измие телото свое со вода, и по сето тоа може да влезе во населбата.
27. А телето за грев и козелот за грев, чија крв се внесува во светилиштито за очистување, да ги изнесат надвор од населбата, и да ги изгорат на оган кожите нивни, месото нивно и нечистотиите нивни;
28. оној, пак, што ќе ги пали, да ги испере алиштата свои и да го измие телото свое со вода, и тогаш ќе може да влезе во населбата.
29. И тоа да ви биде вечен закон: во седмиот месец, на десетиот ден од месецот, смирувајте ги душите ваши, и никаква работа да не вршите, ни вие, нити придојдените, населени ме у вас,
30. зашто во тој ден ќе се помоли за вас за да ве очисти од сите ваши гревови пред Господа, и ќе бидете чисти;
31. тоа да биде сабота над саботите; смирувајте ги душите ваши - тоа ќе биде вечен закон.
32. Ако се помоли оној свештеник што ќе биде помазан и посветен да свештенодејствува место татка си: нека облекува ленена облека, облека света;
33. и да ги очисти свјатаја свјатих и скинијата на сведоштвото, и жртвеникот да го очисти, и да се помоли за свештениците и сиот собран народ.
34. Ова да биде за вас вечен закон: и да се помоли за синовите Израилеви еднаш годишно поради сите нивни гревови, како што му заповеда Господ на Мојсеја.'

Глава 17

1. И му рече Господ на Мојсеја, велејќи:
2. 'Кажи му на Арона и на синовите негови и на сите синови Израилеви и речи им: еве што заповеда Господ, велејќи:
3. ако некој од синовите Израилеви или придојден, присоединет кон вас, заколе теле или овца или коза во населбата, или надвор од населбата,
4. а не го приведе при влезот од скинијата на сведоштвото, за да принесе сепаленица или жртва за спасение, угодна пред Господа, со благопријатен мирис, и ако некој заколе надвор од населбата и не го донесе при влезот од скинијата на сведоштовото, за да Му принесе дар на Господа пред скинијата Господова, тогаш тој човек да се обвини за крв: тој пролеал крв, да се истреби од народот негов.
5. Така да ги принесуваа синовите Израилеви жртвите свои, што ги колат в поле и да ги приведуваат пред Господа при влезот од скинијата на сведоштвото, кај свештеникот, и да ги колат пред Господа како жртви за спасение,
6. и за да излие свештеникот крв околу жртвеникот пред Господа при влезот од скинијата на сведоштвото и да ги изгори лојот за благопријатен мирис пред Господа.
7. И да не принесуваа залудо жртви свои на идоли, во кои самите блудствуваат следејќи ги. Ова нека биде вечна наредба и за поколенијата ваши.
8. Кажи им уште - ако некој од домот Израилев или од придојдените, кои живеат ме у вас, принесува сепаленица или жртва
9. и да не ја приведе при влезот од скинијата на сведоштвото, за да ја принесе пред Господа, таа душа да се истреби од народот свој.
10. Ако, пак, некој од домот Израилев или од придојдените, што живеат ме у вас, јаде каква и да било крв, тогаш Јас ке го свртам лицето Мое против душата на оној, што ке јаде крв, и ке го истребам од народот Мој,
11. зашто душата на секое тело е неговата крв, и Јас ви ја дадов за жртвеникот за да се молите за душите ваши, бидејќи таа крв ке се помоли место душата.
12. Поради тоа и им реков на синовите Израилеви: ниедна душа ме у вас не смее да јаде крв, па ни придојдениот, кој живее ме у вас, не смее да јаде крв.
13. А, ако некој од синовите Израилеви и придојдените, што живеат ме у вас, фати во лов ѕвер или птица, што се јаде, да ја пушти крвта да истече и да ја покрие со земја,
14. зашто душата на секое тело е во крвта негова и им реков на синовите Израилеви: не јадете крв од никакво тело, бидејќи душата на секое тело е во крвта негова, секој што ке ја јаде ке се истреби.
15. И секој што јаде мрша или ѕверојадина, ваш или придојден, нека ја испере облеката своја, да го измие телото свое со вода и ке биде нечист до вечерта, а потоа ке биде чист.
16. Ако, пак, не ги испере алиштата свои, и не го измие телото свое со вода, ке го прими своето беззаконие врз себе'.

Глава 18

1. И му рече Господ Бог на Мојсеја, велејки:
2. 'Кажи им на синовите Израилеви и речи им: Јас сум Господ Бог ваш.
3. Не постапувајте според делата на Египетската земја, во која живеевте, не постапувајте ни според делата на земјата Хананска, во која ве водам, и не управувајте се според нивните закони.
4. Извршувајте ги сите Мои наредби и пазете ги сите Мои заповеди, одете по нив, Јас сум Господ, Бог ваш.
5. Пазете ги сите Мои наредби и сите заповеди и извршувајте ги, и секој што ги извршува жив ке биде, Јас сум, Гопода, Бог ваш.
6. Никој не смее да се доближува до сродниците по тело, за да ја открие голотијата нивна. Јас сум Господ.
7. И голотијата на таткото свој и голотијата на мајката своја да не ја откриваш; таа ти е мајка, не откривај ја голотијата нејзина.
8. Голотијата на татковата жена не откривај ја: таа е таткова голотија.
9. Голотијата на сестрата твоја, која е од татка ти или од мајка ти твоја, родена во куката или надвор од куката, да не ја откриваш голотијата нејзина.
10. Голотијата од керката на синот твој или од керката на керката твоја, не откривај ја голотијата нивна, зашто тие се твоја голотија.
11. Голотијата на керката од татковата жена, не откривај ја, таа ти е сестра по татко.
12. Голотијата на татковата сестра не ја откривај; таа е од иста крв со таткото твој.
13. Голотијата на мајкината сестра не ја откривај, таа е од иста крв со мајката твоја.
14. Голотијата на татковиот брат не ја откривај и до неговата жена не се доближувај, таа ти е стрина.
15. Голотијата на снаата своја не ја откривај, таа е жена на твојот син - затоа не ја откривај голотијата нејзина.
16. Голотијата на братовата жена не откривај ја, таа е голотија на братот твој.
17. Голотијата на жена и на керка и‘ не ја откривај; керката на синот нејзин и керката на керката нејзина не ги земај, за да ја откриваш голотијата нивна: тие се од иста крв; тоа е беззаконие.
18. Не земај ја за наложница сестрата на твојата жена за да ја откриеш голотијата нејзина пред неа, се‘ уште додека е жива таа.
19. И до жена, се‘ додека трае чистењето од нечистотијата нејзина, не доближувај се за да ја откриеш голотијата нејзина.
20. И со жената на ближниот твој не легнувај, за да излееш семе и да се оскверниш со неа.
21. Од децата свои не му давај жртва на Молоха и не го обесчестувај светото име. Јас сум Господ.
22. Не легнувај со маж, како со жена: тоа е одвратност.
23. И со ниедно четвороножно животно не легнувај за да излееш семе, па да се оскверниш со него; и жена на смее да легнува по ниедно четвороножно животно, за да се споИ со него: тоа е гнасотија.
24. Не осквернувај се со сево ова, затоа што со сето тоа се оскверниле народите, кои Јас сакам да ги отфрлам од вас;
25. и земјата се оскверни од нив, и Јас ги казнив поради неа, и така земјата ги исфрли своите жители.
26. А вие пазете ги сите Мои закони и сите Мои повелби и не вршете ниедно од сите овие гнасотии, ниту вие овдешните, ниту придојдените кои живеат ме у вас,
27. зашто сите тие гнасотии ги правеа лу ето на таа земја, што беа пред вас, и земјата се оскверни;
28. за да не се налути земјата и на вас, кога ке ја осквернете, па да не ве исфрли, како што ги

исфрли народите што беа пред вас.
29. Зашто сите, што ги вршат овие гнасотии, ке бидат истребени од народот свој.
30. И така, пазете ги сите Мои повелби за да не извршувате ниеден од нивните гнасни закони, како што постапуваа оние што беа пред вас, и да не се осквернite со нив, оти Јас сум Господ, Бог ваш.'

Глава 19

1. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
2. 'Кажи му на целото општество на Израилевите синови и речи им: бидете свети, затоа што сум свет, Јас Господ, вашиот Бог.
3. Секој да се плаши од таткото свој и од мајката своја и да ги запазува Моите саботи. Јас сум Господ вашиот Бог.
4. Не одете по идоли, и излеани богови не правете си. Јас сум Господ, вашиот Бог.
5. Кога Му принесувате на Господа жртва за спасение, принесувајте ја за да биде примена.
6. Таа треба да се јаде во денот, кога ја принесувате, и вториот ден, а она што ке остане во третиот ден, да се изгори на оган.
7. Ако некој ја јаде во третиот ден, тоа не е жртва и нема да се прими.
8. Оној што ке ја јаде, ке навлече врз себе грев, бидејки го осквернил она што Му е свето на Господа, и душите на тие што јаделе, ке им бидат истребени од народот Негов.
9. Кога ја собирате жетвата од земјата своја, не ја жнеј нивата своја до крај, и паднатите класја од жетвата своја не собирај ги.
10. а и лозјето свое не собирај го до зрно, и паднатите зрна од брањето не собирај ги; остави го тоа за сиромавиот и придојдениот. Јас сум Господ, вашиот Бог.
11. Не крадете, не лажете и не клеветете го ближниот свој.
12. Не колнете се лажно во Моето име, на осквернувајте го светото име на вашиот Бог; Јас сум Господ, вашиот Бог.
13. Не навредувај го ближниот свој. Наградата на наемникот твој не смее да остане кај тебе до утредента.
14. Не навредувај глув човек и пред слеп не ставај ништо, од кое може да се сопне; бој се од Господа, твојот Бог. Јас сум Господ, Бог ваш.
15. Не прави неправда, а кога си во судот: не биди пристрасен спрема сиромавиот и не угодувај му на големецот; суди му на ближниот свој по правда.
16. Не шири лага ме у народот свој и не посегнувај врз животот на ближниот свој. Јас сум Господ, вашиот Бог.
17. Во мислите свои на завидувај му на братот твој; изобличи го ближниот свој и нема да ти се прими за грев поради тоа.
18. Да не се одмаздува раката твоја и не биди им непријател на синовите од народот твој, туку сакај го ближниот свој како самиот себе. Јас сум Господ, вашиот Бог.
19. Запазувај го законот Мој, не мешај го добитокот свој со добиток од друг род; во лозјето свое не сади различни лози; облека ткаена од две пре и не облекувај.
20. Ако некој преспие со жена, а таа е робинка, свршена за маж, но уште неоткупена, или уште не и‘ е дадена слобода, да се казнат и обајцата, но не со смрт, зашто таа не е слободна;
21. тој нека донесе пред Господа при влезот од скинијата на сведоштвото жртва за принос: еден овен,
22. и да се помоли свештеникот пред Господа, преку овенот за престап, за гревот што го направил, и извршениот грев ке му биде простен.
23. Кога ке влезе во земјата, која Господ, вашиот Бог, ви ја дава, и ке посадите секакво плодно дрво, очистете ја нечистотијата негова, три години неговиот плод треба да е за вас нечист и да не се јаде;
24. а во четвртата година секој негов плод е свет, посветен на Господа за благодарност.
25. Во петтата, пак, година, можете да ги јадете плодовите негови и да го собирате целиот негов род. Јас сум Господ, вашиот Бог.
26. Не јадете ништо со крв и не гатајте според летот на птиците.
27. Не стрижете ја главата своја наоколу и не расипувајте го изгледот на брадата своја.
28. Заради умрен не правете рецки по снагата своја и не цртајте букви по телото свое. Јас сум Господ, вашиот Бог.

29. Не осквернувај ја керката своја, со тоа што ке и‘ дозволиш да врши блудство и да се исполни земјата со беззаконија.
30. Саботите Мои пазете ги и бојте се од она што Ми е свето. Јас сум Господ.
31. Не одете по оние што повикуваат духови на мртви, и до ма есници не доближувајте се, и не дозволувајте да ве осквернат. Јас сум Господ, Бог ваш.
32. Пред седо лице станувај, почитувај го лицето на старец и бој се од Господа, твојот Бог. Јас сум Господ, Бог ваш.
33. Кога придојден ке се насели во земјата ваша, не жалостете го;
34. придојдениот ме у вас нека ви биде исто како тукашен; сакајте го како себеси, затоа што и вие бевте придојдени во Египетската земја. Јас сум Господ, Бог ваш.
35. Не правете неправда кога судите, кога мерите со теразија и кога измерувате;
36. мерките ваши да ви бидат точни, теговите точни, ефата верна. Јас сум Гопод, Бог ваш, што ве изведов од Египетската земја.
37. Пазете го целиот Мој закон и сите Мои повелби, и извршувајте ги. Јас сум Господ, Бог ваш.'

Глава 20

1. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
2. 'Кажи им на синовите Израилеви, говорејки: ако некој од синовите Израилеви или од придојдените, кои живеат ме у Израилците, му даде жртва на Молоха од децата свои, да умре; народот од земјата со камења да го убие.
3. И Јас ке го свртам лицето Мое против тој човек и ке го истребам од народот негов, затоа што му дал на Молоха жртва од децата свои, за да го осквернi Моето светилиште, и да се оскверни името на оние што сум ги осветил.
4. И ако народот од земјата ги затвори очите пред тој човек, кога ке му даде ма Молоха жртва од своите деца, и не го убие,
5. тогаш Јас ке го свртам лицето Мое против тој човек и неговиот род, ке ги истребам и сите едномисленици, што ке го следат во блудството негово со идолите на тој народ.
6. И ако некоја душа тргне по оние што гатаат на животински црева, и по магесници, за да го следат нивното блудство, Јас ке го свртам лицето Мое против таа душа и ке ја истребам од народот нејзин.
7. Бидете свети, зашто Јас, вашиот Господ Бог, сум свет.
8. Пазете ги Моите повелби и извршувајте ги, оти Јас сум Господ, Кој ве осветува.
9. Човек, кој го навредува таткото свој или мајката своја да биде убиен; тој што го злословува таткото свој или мајката своја: виновен е.
10. Ако некој изврши прељуба со мажена жена или со жената на ближниот свој - да бидат убиени и прељубодеецот и прељубодејката.
11. Кој ке легне со жената на таткото свој, тој ја открил голотијата на татка си; обајцата да бидат убиени; виновни се.
12. Ако некој легне со снаата своја, и обајцата да бидат убиени, тие извршиле нечисто дело - виновни се.
13. Ако некој легне со маж како со жена, и обајцата извршиле гнасно дело: да бидат убиени, виновни се.
14. Ако некој се ожени со керка или мајката нејзина, тоа е беззаконие: со оган да бидат изгорени и тој и таа, за да нема беззаконие ме у вас.
15. А, ако некој пристапи кај некое животно, за да се соедини со него, убиј го него и животното: тие треба да бидат убиени - виновни се.
16. И жена ако пристапи до животно, да се соедини со него, да ги убиете и жената и животното - да умрат, виновни се.
17. Ако некој ја земе сестрата своја, или татковата керка, или мајкината керка, и ја види голотијата нејзина, и таа ја види голотијата негова: тоа е срам; да бидат истребени од својот народ: тој ја открил голотијата на сестрата своја - затоа ке го прими гревот свој врз себе.
18. Ако некој легне со жена кога е нечиста од излив на крв, и ја открие голотијата нејзина, изливот на нејзината крв, и таа го открие изливот на својата крв: и обајцата да бидат истребени од народот свој.
19. Голотијата од мајкината сестра и голотијата од сестрата на твојот татко не откривај ја, зашто тој открива родбинска голотија, тие гревот свој ке го носат врз себе.
20. И ако некој легне со роднина своја, тој ја открил Голотијата на родот свој: нека умрат без деца.
21. Ако некој ја земе братовата жена: тоа е гнасно дело; тој ја открил голотијата на братот свој, и обајцата ке умрат без деца.
22. Запазете ги сите Мои повелби и сите Мои заповеди и извршувајте ги - и нема против вас да вознегодува земјата, во која ве водам да живеете во неа.
23. Не постапувајте според законите на незнабошците што ке ги изгонам пред вас; затоа што тие сето тоа го правеа, Јас вознегодував против нив,
24. и ви реков; вие ке ја наследите земјата нивна и вам ке ви ја дадам во владение земјата,

каде што тече мед и млеко. Јас сум Господ, Бог ваш, Кој ве оддели од сите народи.
25. Правете разлика ме у чист и нечист добиток, и ме у чиста и нечиста птица, и не ги осквернувајте душите свои со добиток и со птица и со она што лази по земјата, она што ви го одвоив како нечисто.
26. Ќе ми бидете свети, затоа што сум Јас, Господ вашиот Бог, свет, Кој ве одделив од сите народи за да бидете Мои.
27. Маж или жена, ако извикува духови на мртви, да бидат убиени; со камења да ги убиете, виновни се.'

Глава 21

1. И пак му рече Господ на Мојсеја, велејки: 'Кажи им на свештениците, синовите Аронови, и рече им да не се допираат до мртовец од народот свој.
2. Само до близок роднина свој, до мајка, до татко, до син и до керка, до брат,
3. до сестра, која е мома што живее кај него, а немажена, може да се допира, и со тоа да не се осквернува;
4. инаку, не смее да се оскверни со допир до кого и да било од народот свој, за да не стане нечист.
5. Не смеат да ја бричат главата своја, ниту да го расипуваат обликот на брадата своја, ни да правата зарези по телото свое.
6. Тие треба да бидат свети пред својот Бог и да не го осквернуваат името на својот Бог, бидејки тие сами Му принесуваат дарови на својот Бог, и ке бидат свети.
7. Тие не смеат да земаат жени блудници и порочни, не смеат да се женат ни со жена, отерана од својот маж, затоа што се тие свети пред Господа, својот Бог.
8. И свет нека ти биде, бидејки тој Му принесува дар на Господа, вашиот Бог; тој треба да ти биде свет, затоа што сум свет Јас, Господ Бог ваш, Кој ги осветува.
9. Ако свештеничка керка се оскверни со блудство, таа го осквернила таткото свој: со оган да биде изгорена.
10. А големиот свештеник ме у браката свои, врз чија глава е излеан елеј за помазание, и е совршен за да се облекува во одежди, да не ја открива главата своја и облеката своја да не ја кине;
11. и до никаков мртовец да не прио а; да не се осквернува со допир ни до умрениот татко свој и ни до мајката своја.
12. Чад од светилиштето да не излегува за да не го оскверни осветеното од својот Бог, зашто светиот елеј на Божјото помазание е врз него. Јас сум Господ.
13. За жена тој треба да зема девица од родот свој;
14. не смее да зема вдовица или оставена или осквернета или блудница, туку само девица од родот свој тој треба да зема за жена.
15. И да не го осквернува своето потомство во народот свој: затоа што сум Јас Господ Бог, Кој го осветува.'
16. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
17. 'Кажи му на Арона: никој од твоето семе во сите родови, кој има телесен недостаток, да не пристапува да Му принесува дар на својот Бог.
18. Никој, кој има телесен недостаток, да не пристапува; ни слеп човек, ниту хром, ниту, пак, со крив нос, или со рецкано уво,
19. ниту таков кому му е раката скршена или ногата скршена,
20. ниту грбав, ниту гурелав, ниту со перде на очите, а ни крастав или со лишај, ниту килав.
21. Никој човек од родот на свештеникот Арон, кој е со телесен недостаток, не смее да пристапува за да Му принесува жртва на твојот Бог; бидејки има недостаток, нека не пристапува да принесува дарови Божји,
22. но од даровите на својот Бог, од осветените жртви, тој може да јаде;
23. само до завесата да не се доближува и до жртвеникот да не пристапува, затоа што има недостаток: да не го оскверни светилиштето на својот Бог, оти Јас сум Господ, Кои ги осветува.'
24. И Мојсеј им го соопшти тоа на Арона и на синовите негови и на сите синови Израилеви.

Глава 22

1. И му рече Господ на Мојсеја, велејќи:
2. 'Кажи му на Арона и на синовите негови да постапуваат внимателно со светите приноси од синовите Израилеви и да не го осквернуваат Моето свето име во тоа, што Ми го посветуваат. Јас сум Господ.
3. Кажи им: ако некој во целото ваше потомство во вашите родови има на себе некаква нечистотија и пристапи кон светите дарови, што синовите Израилеви Му ги посветуваат на Господа, да се истреби таа душа од пред Мене. Јас сум Господ, вашиот Бог.
4. Оној човек од семето Ароново, кои е лепрозен, или има излив на семе, да не јаде од светите дарови се‘ додека не се исчисти, и кој се допре до нешто нечисто од мртовац, или кому му се случи излив на семе при спиење,
5. или кој ке се допре до некој гад, па се оскверни, или до човек од кого се оскверни од каква и да било нечистотија,
6. тој што се допрел до тоа да биде нечист до вечерта и да не јаде од светите приноси, пред да го измие целото свое тело со вода;
7. но, штом зајде сонцето, да биде чист, тогаш да јаде од осветените дарови, бидејќи тоа е негова храна.
8. Мрша или ѕверојадина тој да не јаде, за да не оскверни од нив. Јас сум Господ.
9. Нека ги пазат заповедите Мои, за да не навлечат поради нив грев врз себе и да не умрат поради нив, ако се осквернат. Јас сум Господ Бог, Кој ги осветува.
10. Никој од друг род да не јаде од светите приноси: кој се населил кај свештеник, ни наемникот негов, не смее да јаде од светите приноси.
11. Ако свештеникот си купи човек со пари, тој нека јаде од лебовите негови; исто така и домашните негови можат да јадат од неговите лебови.
12. Ако свештеничка керка се омажи за човек од друго племе, таа не смее да јаде од првините на светото,
13. а ако таа остане вдовица или биде разведена, а нема деца, и се врати во татковата кука, како што била на млади години, тогаш таа може да јаде од лебовите на татка си; но никој друг род не смее да јаде од нив.
14. Кој поради незнаење јаде нешто од осветените приноси, тој дел треба да му го врати толку на свештеникот и да додаде кон него уште една петина од тоа.
15. И да не ги осквернуваат светињите на синовите Израилеви, принесувани на Господа;
16. и да не навлекуваат врз себе беззаконие поради престап, со тоа што ке јадат од нивните дарови, зашто Јас сум Господ, Кој ги осветува.'
17. И му рече Господ на Мојсеја, велејќи:
18. 'Кажи им на Арона и на синовите негови и на сите синови Израилеви кажи им: ако некој од синовите Израилеви, или од придојдените ме у народот Израилв, било поради исповедание или од благодарност принесува жртви какви што Му се принесуваат на Господа, за сепаленица,
19. за да му се прими жртвата милостиво, треба да биде од машки пол од стадата волови или овци, или кози, без недостаток;
20. а се‘ што има недостаток, да не Му се принесува на Господа, бидејќи тоа ке Му биде непријатно.
21. И ако некој Му принесува на Господа жртва за спасение, исполнувајќи завет или по своја воља, или на вашите празници, тогаш тоа треба да биде од стадата на говедата или овците и да биде без недостаток, за да му биде примена - и да нема никаков недостаток.
22. Животно слепо или сакато, или со пресечен јазик, или шугаво, или краставо, или со лишај - такви не принесувајте Му на Господа и од нив не давајте на Господа жртва на жртвеникот.
23. Теле или овца со долги уши или кратки нозе можеш да принесеш како жртва по своја воља: но ако е за завет, нема да се прими.
24. Животно со дробови слаби и болни, резано или тргано, не принесувај Му на Господа; во

земјата ваша не правете го тоа.
25. И од рацете на ту инец на принесувате Му на Господа никакви дарови на вашиот Бог, затоа што тие се повреда, имаа недостаток: тие нема да ви се примат.'
26. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
27. 'Кога ке се роди теле, или јагне, или козле, да остане кај мајка си седум дена, а од осмиот ден и натаму ке може да се принесува како дар на Господа, -
28. но не колете ни теле, ниту јагне во ист ден заедно со мајката негова.
29. Ако Му принесувате на Господа жртва по завет, со радост принесувајте ја.
30. Таа да се изеде истиот ден, не оставајте од месото за другиот ден. Јас сум Господ.
31. Пазете ги заповедите Мои и извршувајте ги. Јас сум Господ.
32. Не осквернувајте го Моето свето име, за да бидам свет ме у синовите Израилеви. Јас сум Господ, Кој ве осветува,
33. Кој ве изведов од Египетската земја, за да бидам ваш Бог. Јас сум Господ.'

Глава 23

1. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
2. 'Кажи им на синовите Израилеви и објасни им за празниците Господови, кои треба да се нарекуваат свети. Ова се празниците Мои:
3. во шесте денови да работите, а седмиот ден е сабота - ден за одмор, свет на Господа; никаква работа да не вршите, тоа е сабота Господава во сите ваши домови.
4. А ова се празниците Господови, наречени свети, а што треба да ги свикувате во нивните определени времиња:
5. во првиот месец, на четиринаесеттиот ден од месецот ме у двете вечери е Пасха Господова,
6. а на петнаесеттиот ден од истиот месец е празникот на Господа Бесквасници; седум дена јадете бесквасен леб;
7. и првиот ден да ви биде свет, не вршете никаква работа;
8. а во седумте дена принесувајте Му на Господа сепаленици, и седмиот ден да ви биде свет; не вршете никаква работа.'
9. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
10. 'Јави им на синовите Израилеви и кажи им: кога ке влезете во земјата, која ви ја давам, и почнете тами да жнеете жетва, првиот сноп од жетвата ваша донесете го кај свештеникот;
11. тој ке го вознесе тој сноп пред Господа, за да ви биде примен; на вториот ден од празникот свештеникот ке го вознесе;
12. а во оној ден кога го принесувате снопот, принесете Му на Господа и жртва сепаленица - едногодишно јагне без недостаток,
13. а зедно со него и жртви доброволни - две десетини ефа пченично брашно, прелиено со елеј, жртва - дар на Господа со блаопријатен мирис и со прелив за него од една четвртина ин вино;
14. никаков нов леб ниту печени класје не јадете до денот, во кој ке принесувате дар ваш на вашиот Бог: тоа нека ви биде вечна наредба во родовите ваши по сите ваши населби.
15. Избројте од првиот ден по празникот, од денот во кој го принесувате снопот како вознесување - седум полни седмици,
16. дури до првиот ден од последната седмица избројте педесет дена, и тогаш принесете Му на Господа нова жртва.
17. Од своите домови принесете Му на Господа леб на дар - два леба за вознесување, кои треба да бидат месени од две десетини ефа пченично брашно со квас, да се испечени од првите плодови за Господа.
18. Заедно со лебовите принесете и седум јагниња без недостаток, едногодишни и од крупниот добиток едно теле и два овна без недостаток; тоа нека би биде жртва сепаленица за Господа како лебен принос со принос за прелив, за благопријатен мирис пред Господа.
19. Принесете исто така од стадата на козите еден козел - жртва за грев, и две едногодишни јагниња - жртва за спасение со лебовите од првите жита.
20. И свештеникот нека го принесе тоа со лебовите од првите жита пред Господа, заедно со двете јагниња: тоа ке биде свет принос за Господа, за свешеникот што ги принесува.
21. И тој ден наречете го свет, нека ви биде особено свет, никаква работа не вршете во него - тоа нека ви биде вечна заповед за родовите ваши по сите населби.
22. И кога жнеете жетва на вашата нива, не ја дожневајте нивата своја до крај, и она што ке падне од твојата жетва не собирај го: остави го за сиромавиот и придојдениот. Јас сум Господ, вашиот Бог.'
23. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
24. 'Кажи им на синовите Израилеви, велејки - во седмиот месец, во првиот ден од месецот, имајте спокој, Празник на трубите; тој ден нека ви биде свет.
25. Никаква работа не вршете во него, а принесувајте Му на Господа жртви сепаленици.'
26. И пак му рече Господ на Мојсеја, велејки:

27. 'И десеттиот ден од седмиот месец, денот на очистувањето, нека ви биде свет: смирете ги душите ваши и принесувајте Му сепаленица на Господа.
28. Никаква работа не вршете во тој ден, зашто тоа е ден за очистување ваше, за да се очистите пред лицето на Господа, вашиот Бог.
29. А секоја душа, што не ке го почитува тој ден, ке биде истребена од народот свој.
30. И секоја душа што ке врши каква и да било работа во тој ден, таа душа ке загине од својот народ.
31. Никаква работа не вршете: тоа ви е вечна наредба и за родовиет ваши по сите ваши живеалишта.
32. Тоа е за вас сабота над саботите, па затоа смирете ги душите ваши, оти од вечерта на деветтиот дена од месецот дури до вечерта на десеттиот ден од месецот празнувајте ја вашата сабота.'
33. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
34. 'Кажи им на синовите Израилеви, велејки: во петнаесеттиот ден од истиот месец, седмиот месец, е празникот Сеници, Господов празник што трае седум дена.
35. И денот прв ке ви биде наречен свет, никаква работа не вршете;
36. седум дена принесувајте Му на Господа сепаленици; а и осмиот ден нека ви биде свет, и тогаш принесувајте Му на Господа сепаленици; - тоа е крајот на празникот, и никаква работа не вршете.
37. Тоа се Господовите празници, што ке ви бидат наречени особено свети, кога ке Му принесувате на Господа сепаленици и приноси со нив како и преливи врз нив од ден во ден,
38. освен во саботите Господови, освен даровите ваши, заветите ваши, што ке Му ги давате од благодарност на Господа.
39. А на петнаесеттиот ден од седмиот месец, кога ја завршувате жетвата на житата ваши, празнувајте празник Господов седум дена: првиот ден нека ви биде починка, а во осмиот ден нека ви е одмор.
40. Во првиот ден земете плодови од убави дрвја, и гранки од палми, и гранки од широколисни дрвја како и од врби, речни растенија, и развеселете се пред Господа, вашиот Бог - седум дена во годината.
41. Ова е вечна наредба за вас и за родовите ваши; во седмиот месец празнувајте го празникот Сеници.
42. Седум дена престојувајте во сеници: секој тукашен во Израилот треба да престои во сеница,
43. за да знаат поколенијата ваши, дека Јас во сеници ги вселив синовите Израилеви, кога ги изведов од Египетската земја. Јас сум Господ, вашиот Бог.'
44. И Мојсеј им говореше на синовите Израилеви за празниците Господови.

Глава 24

1. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
2. 'Заповедај им на синовите Израилеви да земат чист маслинов елеј, исцеден за осветување, та светлото да гори секогаш
3. зад завесата во скинијата на сведоштвото, а ке го палат Арон и синовите постојано пред Господа од вечерта дури до утрината; и тоа нека ви биде вечна наредба во родовите ваши.
4. На чистиот свекник палете ги светилата постојано пред Господа дури до утредента;
5. и земете пченично брашно и измесете од него дванаесет лебови - секој леб да тежи по две десетини ефа;
6. поставете ги во два реда, по шест во ред, на чистата трпеза пред Господа.
7. И во секој ред ставете и ливан, како и сол; и тоа нека биде крај лебовите како спомен на приносот за Господа.
8. Секој саботен ден постојано да се предлагаат лебови пред Господа од синовите Израилеви: тоа е вечен завет.
9. Тие да му припа аат на Арона и на синовите негови за да ги јадат на свето место; тоа е голема светиња, дел од жртвите за Господа, овековочена со закон.'
10. Тогаш излезе синот на една жена Израилка, што го беше родила со Египтјанин, ме у синовите Израилеви и се скара со еден Израилец во населбата;
11. и синот на Израилката похули на Господовото име. И го доведоа кај Мојсеја; името на мајката негова беше Саломит, Давринова керка од племето Даново;
12. па го ставија в затвор додека не се донесе за него пресуда според заповедта Господова.
13. И му рече Господа на Мојсеја велејки:
14. 'Изведи го оној што хулеше надвор од живеалиштето, а и сите што чуја, нека ги стават рацете свои врз главата негова и целиот народ нека го убие со камења,
15. и кажи им на синовите Израилеви: секој што ке похули на својот Бог, ке го прими својот грев;
16. и оној што ке го навреди името Господово, треба да умре, со камења да го убие сиот народ; било да е тој придојден или тукашен, ако похули на името Господово, да умре.
17. Кој ке убие човек, да биде умртвен.
18. Кој ке удри добиток и тој умре, да го плати - добиток за добиток.
19. На оној, што ке му нанесе повреда на ближен, да му се направи и нему она што го направил тој;
20. прелом за прелом, око за око, заб за заб; како што му нанел повреда на човек, така и нему да му се направи.
21. И кој удри човек и умре, да биде умртвен.
22. Една правда да има како за придојден така и за тукашен, затоа што Јас сум Господ, вашиот Бог.'
23. Тогаш Мојсеј им кажа се‘ на синовите Израилеви; и го изведоа оној што беше похулил надвор од населбата и сиот народ го уби со камења; синовите Израилеви направија така, како што му беше заповедал Господ на Мојсеја.

Глава 25

1. И му рече уште Господ на Мојсеја, на планината Синај, велејки:
2. 'Јави им на синовите Израилеви и кажи им: кога ке дојдете во земјата, што ви ја давам Јас, земјата што ви ја давам нека ја празнува саботата Господова;
3. шест години засејувај ја нивата своја и шест години режи го лозјето свое и прибирај ги плодовите нивни,
4. а во седмата година е сабота за земјата - нека има одмор земјата; тоа е сабота Господова: не ја сеј нивата своја и не го режи лозјето свое.
5. Она што само ке израсне на нивата твоја, не го жнеј, и грозјето од нережаните лози твои не собирај го: нека биде тоа година за починка на земјата.
6. И за време починката на земјата тоа нека биде храна за сите вас - за теве и за твојот роб, за робинката твоја, за наемникот твој и за придојдениот, населен кај тебе;
7. а добитокот твој и за ѕверовите што се на земјата твоја, тие плодови нека им бидат храна.
8. И изброј седум саботни години, седумпати по седум, за да ти излезат во седумте седмици четириесет и девет години;
9. и објавете го со трубен глас по целата земја ваша седмиот месец, во десеттиот ден од месецот; во денот на очистувањето затрубете со труба по целата земја ваша;
10. и осветете ја педесеттата година и објавете слобода по земјата за сите жители; тоа да ви биде година на проштавање; и секој да се врати во својот имот, и секој да се врати при родот свој.
11. Педесеттата година да ви биде година на проштавање; во таа година не сејте и не жнејте го она што ке израсне само од земјата, и да не го собирате она што Му е свето на Господа,
12. зашто тоа е знак за опростување: свето да ви е тоа - од нивите јадете ги плодовите нивни.
13. Во таа проштална година секој нека се врати на имотот свој.
14. Ако си му продал нешто на ближниот свој, или ако си купил нешто од ближниот свој, не оскрбувај го ближниот свој;
15. ти треба да купуваш од ближниот свој според бројот на годините по прошталната, и според, бројот на годините на приходот тој треба да ти продава;
16. ако остануваат многу години, зголеми ја цената; ако оставаш за малку години, намали ја цената; според бројот на годините определи ја цената.
17. Не оскрбувај го ближниот свој; бој се од твојот Господ Бог, зашто Јас сум Господ, вашиот Бог.
18. Извршувајте ги заповедите Мои, пазете и исполнувајте ги законите Мои, и спокојно ке живеете на земјата;
19. и земјата ке ги дава своите плодови, и ке јадете до наситка и спокојно ке живеете на неа.
20. Ако кажете: што ке јадеме во седмата година, кога не сме посеале ништо, не сме собрале производи наши,
21. Јас ке испратам благослов Мој во шестата година, и таа ке даде плод за три години;
22. а во осмата година ке сеете, па ке јадете од старите производи до деветтата година; и додека не узреат плодовите нејзини, ке јадете од старото.
23. Земјата не смее да се продава засекогаш, зашто земјата е Моја; вие сте при Мене придојдени и преселеници;
24. по целата земја на вашите имоти дозволувајте земјата да се откупува.
25. Ако брат ти, кој е кај тебе, осиромаши и го продаде својот имот, тогаш да дојдте неговиот најблизок роднина и нека го откупи продаденото од братот негов.
26. Но, ако нема свој, кој да го откупи, тој самиот ке успее и ке најде колку што треба за откуп;
27. тогаш да ги пресмета годините од продажбата своја и да го врати другото на оној кому му го продал, и повторно да влезе во владението свое.
28. Ако, пак, не најде колку што треба, за да врати, продаденото нека остане во рацете на купувачот се‘ до шестата проштална година, а во светата година да стане слободно и

повторно да влезе во имотот свој.
29. Ако некој продаде кука за живеење во град ограден, таа може да се откупи се‘ додека не измине годината на продажбата нејзина - во текот на годината таа може да се откупи.
30. Ако, пак, не се откупи додека не измине годината од продажбата нејзина, куката што е во градот, со тврда ограда, засекогаш ке остане во рацете на купувачот и родот негов, и нема да му се врати во прошталната година.
31. А куките по селата, што не се оградени наоколу, треба да се сметаа за ниви; тие секогаш ке можат да се откупуваат, но во прошталната година ке се вратат.
32. А што се однесува до градовите на левитите, куките во градовите на владението нивно, секогаш можат да ги откупуваат левитите;
33. ако некој од левитите нема средства да откупи, тогаш продадената кука во градот на нивниот имот ке биде вратена во времето на прошталната година, зашто куките во градовите на левитите се нивно владение ме у синовите Израилеви.
34. А селата околу нивните градови не смеат да се продаваат, зашто тие се нивно вечно владение.
35. Ако братот твој осиромаши и изнемогне при тебе, поткрепи го исто така како да е твој придојден или преселеник, та да живее кај тебе.
36. Не земај му ни лихва ни печалба, и бој се од твојот Бог; Јас сум Господ; братот твој нека живее при тебе.
37. Не давај му сребро свое со интерес, а и храната твоја не давај му ја со печалба.
38. Јас сум Господ, Бог ваш, Кој ве изведе од Египетската земја за да ви ја дадам земјата Хананска и да бидам ваш Бог.
39. Кога ке осиромаши кај тебе братот твој, и ти се продаде, не товари го со ропска работа;
40. тој треба да ти биде како наемник, како преселник, нека ти работи до прошталната година,
41. а тогаш нека си отиде од кај тебе, тој самиот и децата негови со него во прошталната година, и нека се врати ме у родот свој и пак да влезе во имотот на татковците свои,
42. бидејки тие се Мои слуги, кои Јас ги изведов од Египетската земја: тие не смеат да се продаваат како што се продаваат робовите.
43. Не товарај го со многу работа и бој се од твојот Господ Бог.
44. Ако сакаш да имаш свој роб и своја робинка, купувајте си роб и робинка од народите што се околу вас; од нив да си земате робови и робинки.
45. Исто така и од децата на преселниците, населени ме у вас, можете да купувате; и од нивните роднини во земјата ваша ако ги има, и тие да ви бидат сопственост.
46. Можете да ги предавата во наследство и на синовите ваши по вас како вечен имот; а браката ваши, синовите Израилеви, не обременувајте ги со многу работа.
47. Ако твојот придојден или твојот преселник се збогати, а братот твој пред него осиромаши и му се продаде на придојдениот, населен при тебе, или на некој друг од родот на придојдените,
48. тогаш по продажбата тој може да биде откупен; некој од браката негови треба да го откупи,
49. или братат на неговиот татко, или синот на стрикото негов треба да го откупи, или кој и да било од родот негов во племето, да го откупи, или самиот тој, ако се снајде да се откупи.
50. И да се пресмета со купувачот свој, сметајки од годините, кога се продал, па се‘ до прошталната година, и до го врати среброто за кое се продал според бројот на годините, при што да се пресмета и тоа дека кај него бил и како наемник - според бројот на годините,
51. и ако остануваат уште многу години, тогаш сразмерно на нив да го врати својот откуп во сребро, за кој бил купен;
52. ако, пак, остануваат уште малку години до прошталната година, да пресмета и сразмерно на годините на служењето да плати за својот откуп.
53. Во текот на сите години тој да биде кај него како наемник, но тој не треба да биде преоптоваруван со работа пред твоите очи.
54. Ако, пак, не се откупи на тој начин, тогаш во прошталната година да излезе самиот тој и

децата негови со него,
55. затоа што синовите Израилеви се Мои слуги; тие се Мои деца, што ги изведов од Египетската земја. Јас сум Господ, вашиот Бог.'

Глава 26

1. Не правете ракотворни образи, ни делкани; и не издигајте столб и не поставувајте во земјата камења со знаци, за да им се клањате, зашто Јас сум Господ, вашиот Бог.
2. Пазете ги Моите саботи и бојет се од Моите светињи, Јас сум Господ.
3. Ако постапувате според Моите повелби и ги запазувате Моите наредби, и ги исполнувате,
4. ке ви дадам дожд во своте време, и земјата ке го даде родот свој, и дрвјата полски ке го дадат својот плод,
5. и вршидбата ке трае кај вас до гроздоберот, гроздоберот ке трае до сеидбата, и ке го јадете својот леб до наситка и ке се настаните на земјата ваша со сигурност, и војна нема да мине по целата ваша земја.
6. Ке и‘ дадам мир на земјата ваша, ке спиете и никој нема да ве обеспокојува, ке ги истребам лутите ѕверови од земјата ваша;
7. војна нема да мине преку вашата земја. Па ке ги гоните непријателите ваши, и тие од меч ке паднат убиени пред вас;
8. петмина од вас ке прогонуваат сто души, и стотина од вас ке прогонуваат иљадници, и непријателите ваши ке паднат од меч пред вас.
9. Ке погледам на вас и ке ве благословам, ке ве расплодам плодни, ке ве умножам и ке го поставам заветот Мој со вас.
10. И ке јадете од старото и од постарото и старото ке го исфрлите поради новото.
11. Ке ја поставам скинијата Моја ме у вас, и душата Моја нема да се гнаси и одврака од вас.
12. Ке се движам ме у вас и ке бидам ваш Бог, а вие ке бидете Мој народ.
13. Јас сум Господ, Бог ваш, Кој ве изведе од Египетската земја, каде што бевте таму робови, и ги скршив врските на јаремот ваш и ве изведов охрабрени.
14. Ако, пак, не Ме слушате и не ги исполнувате овие Мои повелби,
15. и не им се покорувате, и ако душата ваша вознегодува од Моите закони, и со тоа што нема да ги испонувате сите Мои заповеди, за да го нарушите заветот Мој, -
16. тогаш и Јас ке постапам со вас вака - ке ви пратам скудност, красти и жолтица, од кои ке ослабат очите ваши и ке се измачува душата ваша, па ке сеете семе залудо, зашто непријателите ваши ке го јадат.
17. Ке го свртам лицето Мое против вас и ке паднете пред непријателите ваши; над вас ке владеат непријателите ваши, и ке бегате дури и кога никој не ве гони.
18. Ако и покрај сето ова не Ме послушате, седумпати ке ја зголемам казната за гревовите ваши;
19. ке ја скршам вашата тврдоглавост, ке го направам небото ваше како железо, и земјата ваша како бакар;
20. па залудо ке се истоштува силата ваша, и земјата ваша нема да го дава својот плод, и дрвјата на земјата ваша нема да ра аат плодови свои.
21. Ако, пак, и потоа тргнете настрана и не ке сакате да Ме слушате, ке ви нанесам седумкратни удари поради гревовите ваши;
22. ке испратам против вас лути земни ѕверови, кои ке ве изедат, ке го уништат добитокот ваш и ке ве намалат, така што ке се запустат патиштата ваши.
23. Ако и потоа не се поправите и трнете против Мене,
24. тогаш и Јас ке тргнам против вас со јарост и ке ве поразам седумкратно за гревовите ваши.
25. И ке испратам против вас одмаздувачки меч за одмазда поради заветот; ако, пак, избегате по градовите ваши, ке испратам на вас помор и ке бидете предадени во рацете на непријателот.
26. Ке оскудевате за леб; десет жени ке го печат лебот ваш во една печка и ке ви даваат леб со мерка; ке јадете и нема да се наситите.
27. Ако и покрај сево ова не Ме послушате и тргнете против Мене,
28. и Јас ке тргнам против вас со гнев и седумкратно ке ве казнам според гревовите ваши,

29. и ке ги јадете телата на синовите свои, и телата на керките ваши ке ги јадете.
30. Ке ги разрушам жртвениците ваши, ке ги разрушам ракотворните столбови ваши и ке ги фрлам труповите ваши врз урнатините од идолите ваши, и душата Моја ке се одврати од вас.
31. Градовите ваши ке ги претворам во пустињи и ке ги опустошам светињите ваши, и нема да примам благопријатен мирис од жртвите ваши.
32. Ке ја запустам земјата ваша, така што ке се чудат над неа непријателите ваши, што ке живеат во неа;
33. вас, пак, ке ве растурам ме у народите и ке ве истреби мечот што ке дојде; земјата ваша ке биде пуста, и градовите ваши - разрушени.
34. Тогаш земјата ке се вознагради за своите саботи преку сите денови, додека биде пуста; а вие ке бидете во земјата на непријателите ваши; земјата ке си почива и ке се вогнагради за своите саботи;
35. таа ке почива за сето време додека ке биде пуста, што не почиваше за сите саботи ваши кога живеевте во неа.
36. А на оние од вас што ке останат, ке им всадам страв во срцата во земјата на непријателите нивни, па и шумот од развеан лист ке ги прогонува; ке бегаат како од меч, и ке па аат кога и никој не ги гони.
37. И брат брата ке презира и кога никој нема да ве напа а; не ке имате сила да им се противставувате на непријателите ваши;
38. ке загинете ме у народите, и ке ве проголта земјата на непријателите ваши;
39. а другите од вас ке истлеат поради беззаконијата свои во земјите на непријателите ваши и поради беззаконијата на татковиците ваши ке исчезнат.
40. Тогаш ке ги исповедаат беззаконијата свои и беззаконијата на татковците свои, заради тоа што Ме презреа, престапија и станаа против Мене;
41. поради кое и Јас ке станам со јарост против нив и ке ги погубам во земјата на непријателите нивни; тогаш ке се засрами нивното необрезано срце, и тогаш ке се сетат за гревовите свои.
42. И Јас ке си спомнам за заветот Мој со Јакова, и на заветот Мој со Исака, и на заветот Мој се Авраама,
43. и на земјата ке се сетам и земјата ке биде напуштена од нив и земјата ке се вознагради за своите саботи, откако ке биде испразнета од нив, и тие ке ја добијата својата казна за беззаконијата свои, затоа што ги презреа законите Мои и душата нивна вознегодува поради наредбите Мои.
44. Но кога тие ке бидат во земјата на непријателите свои, - Јас нема да ги презрам, и нема да се налутам на нив толку, за да ги истребам и да го раскинам Мојот завет со нив, зашто Јас сум Господ, Бог нивни.
45. Ке се сетам на заветот прв, кога ги изведов од Египетската замја од домот на ропството пред очите на народите, за да им бидам Бог. Јас сум Господ.'
46. Тоа се наредбите, заповедите и законот кои Господ им ги даде на синовите Израилеви преку Мојсеја на планината Синај.

Глава 27

1. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
2. 'Кажи им на синовите Израилеви и речи им - ако некој се заветува да ја посвети душата своја на Господа со цена,
3. цената за маж од дваесет до шеесет години да биде шеесет сребрени дидрахми, според свештената мерка.
4. Ако е, пак, за жена, цената да биде триесет дидрахми.
5. За машко од пет до дваесет години цената ке биде дваесет дидрахми, а за женски десет дидрахми.
6. За машко, пак, од еден месец до пет години цената треба да изнесува пет сребрени дидрахми, а за женско три сребрени дидрахми.
7. За маж од шеесет години и нагоре цената ке биде петнаесет сребери дидрахми, додека за жена десет дидрахми.
8. Ако е сиромав и нема да плати според цената своја, тогаш тој нека се претстави пред свештеникот, и свештеникот нека го процени: според состојбата на оној, што се заветувал, така нека го процени свештеникот.
9. Ако е, пак, добиче од оние што Му се принесуваат како жртва на Господа, ако Му се даде од овие на Господа, ке биде свето;
10. да не се заменува доброто со лошо, или лошото со добро; ако некој замени добиче со добиче тогаш и добичето и неговата замена ке бидат светиња.
11. Ако е тоа нечист добиток, што не се принесува како жртва на Господа, тој нека му биде претставен на свештеникот,
12. и свештеникот да процени, дали е тој добар, или лош; како ке го оцени свештеникот, така и нека биде;
13. ако некој сака да го откупи, нека додаде кон цената уште една петина.
14. Ако некој Му ја посветува на Господа куката своја за светиња, свештеникот да ја процени, дали е таа добра, или лоша; како што ке ја оцени свештеникот, така и да биде.
15. Ако оној што ја посветил, побара да ја откупи куката своја, нека приложи уште една петина во сребро кон цената нејзина, и тогаш таа нека биде негова.
16. Ако некој Му посвети на Господа од имотот свој нива, процената треба да биде сразметно со посеаното: за еден гомер јачмен - педесет сребрени дидрахми.
17. Ако некој ја посветува нивата своја во прошталната година, тоа треба да биде според нејзината проценка.
18. Ако некој ја посветува нивата своја по прошталната година, треба да биде според неа и процената. Ако ја посветува најдоцна до прошталната година, свештеникот нека ја определи цената во сребро според годините што остануваат до идната проштална година, и да одземе и за толку да ја намали цената.
19. Ако оној, што ја посветил нивата своја, побара да ја откупи, нека додаде уште една петина во сребро кон цената нејзина, и таа нека биде негова.
20. Ако, пак, тој не ја откупи нивата своја и нивата биде продадена на друг човек, тој веке не може да ја откупи;
21. таа нива, откако ке биде ослободена во прошталната година, нека биде светиња Господова; таа нека биде земја одделена од сопственост и да биде за свештеникот.
22. Ако некој Му посвети на Господа купена нива, која не е во селото на имотот негов,
23. свештеникот нека ја определи цената нејзина до прошталната година, и тоај да ја даде, според она како што е пресметано, во истиот ден, како светиња Господова;
24. а нивата во прошталната година пак нека мине на оној, од кого била купена и кој што владеел со таа земја.
25. Секоја проценка да се врши според свештената мерка - дваесет пенези да чинат една дидрахма.

26. А секое првородено што ке се роди ме у добитокот твој, никој не може да го заветува: било вол, било од овците - тие се Господови.
27. Ако, пак, добитокот е нечист, да се откупува според цената негова и да се додаде кон неа уште една петина; ако не се откупи, тогаш нека се продаде според неговата процена.
28. А се‘ што човек Му ветува на Господа со клетва од она, што ги има - од човек до добиток или нива од имотот свој, да не се продава ниту да се откупува: секој завет со клетва е најсвета светиња Господова.
29. И се‘ што е ветено од лу ето со клетва, не се откупува: тоа треба да се предаде на смрт.
30. И секоја десетина од земјата, од земните семиња и од плодовите на дрвјата Му припа аат на Господа: тоа се светиња Господова;
31. ако некој ја откупи десетината своја, да додаде кон цената нејзина уште една петина.
32. И секој десеток од воловите, од овците и од се‘ десето што ке падне под жезал, треба да Му падне на Господа;
33. и да не се заменува добро за лошо, ниту лошо за добро; ако некој го замени, тогаш тоа самото и неговата замена да бидат светиња - да не се откупува.'
34. Тоа се заповедите, кои Господ им ги даде на синовите Израилеви преку Мојсеј на планината Синај.

Броеви

Глава 1

1. И му рече Господ на Мојсеја во Синајската пустиња, во скинијата на сведоштвото, во првиот ден од вториот месец, на втората година, откако беа излегле од Египетската земја, велејки:
2. 'Пребројте ја целата заедница на Израилеви синови според родовите нивни, според челадта нивна, според бројот на имињата нивни, сите од машки пол до еден;
3. од дваесет години нагоре, сите способни кај Изаилот за војна; според доброволечките чети пребројте ги ти и Арон;
4. заедно со вас треба да има од секое племе по еден претставник, кој е старешина на родот свој.
5. И еве ги имињата на мажите, што ке бидат со вас: од Рувима - Елисур, синот Седиуров;
6. од Симеона - Саламиил, синот Сурисадаев;
7. од Јуда - Наасон, синот Аминадавов;
8. од Исахара - Натанаил, синот Согаров;
9. од Завулона - Елиав, синот Хелонов;
10. ос синовите на Јосифа: од Ефрема - Елисам, синот Емиудов; од Манасија - Гамалиил, синот Фадасуров;
11. од Венијамина - Авидан, синот Гадеониев;
12. од Дана - Ахиезер, синот Амисадаев;
13. од Асира - Фагаил, синот Ехранов;
14. од Гада - Елисаф, синот Рагуилов;
15. од Нефралима - Ахиреј, синот Енанов.
16. Тие се избраните кнезови од народот на татковските племиња, началници на Израилевите иљадници.'
17. Тогаш Мојсеј и Арон ги зедоа тие именувани мажи
18. и го собраа сиот народ на првиот ден од месецот од втората година; и тие ги објавија своите родословија, според родовите свои, според домовите свои, според боројот на имињата, од дваесет години и нагоре, сите до еден од машки пол,
19. како што му беше заповедал Господ на Мојсеја. И тој го изврши пребројувањето нивно во Синајската пустиња.
20. Од синовите на Рувима, првородениот син на Израила, според родовите нивни, според домовите нивни, според бројот на имињата, сите до еден, сите од машки пол, од дваесет години нагоре, сите способни за војна.
21. Се изброија од племето Рувимово четириесет и шест иљади и петстотини.
22. Од синовите Симеонови според родовите нивни, според домовите нивни, според боројот на имињата, сите до еден, сите од машки пол, од дваесет години нагоре, сите способни за војна,
23. се изброија од племето Симеонови песедет и девет иљади и триста.
24. Кога беше утврдено потомството на Гадовите синови по нивните родови и семејства, беа избројани, глава по глава, имињата на оние од дваесет години и повеке, на сите способни за војна.
25. Избројаните од Гадовото племе беа четириесет и пет иљади и шест стотини и педесет.
26. Од синовите Јудини според родовите нивни, според бројот на имињата нивни, еден по еден, сите од машки пол, од дваесет години нагоре, сите способни за војна,
27. изброија од племето Јудино седумдесет и четири иљади и шестотини.
28. Од синовите Исахарови според родовите нивни, според домовите нивни, според бројот на имињата нивни, еден по еден, сите од машки пол, од дваесет години нагоре, сите способни за војна,
29. Избројаните од Исахаровото племе беа педесет и четири иљади и етири стотини.
30. Кога беше утврдено потомството на Завулоновите синови по нивните родови и семејства, беа запишани, глава по глава, имињата на сите од дваесет години и повеке, на сите способни за војна.

31. Избројаните од Завулоновото племе беа педесет и седум иљади и четири стотини.
32. Јосифовите синови: кога беше утврдено потомството на Ефремовите синови, по нивните родови и семејства, беа избројани, глава по глава, имињата на оние од дваесет години и повеке, на сите способни за војна.
33. Избројаните од Ефремовото племе беа четириесет иљади и пет стотини.
34. Кога беше утврдено потомството на Манасиевите синови, по нивните родови и семејства, беа запишани, глава по глава, имињата на оние од дваесет години и повеке, на сите способни за војна.
35. Избројаните од Манасиевото племе беа триесет и две иљади и двеста.
36. Кога беше утврдено потомството на Венијаминовите синови, по нивните родови и семејства, беа запишани, глава по глава, имињата на оние од дваесет години и повеке, на сите способни за војна.
37. Избројаните од Венијаминово племе беа триесет и пет иљади и четири стотини.
38. Кога беше утврдено потомството на Дановите синови, по нивните родови и семејства, беа избројани, глава по глава, имињата на оние од дваесет години и повеке, на сите способни за војна.
39. Избројаните од Дановото племе беа шеесет и две иљади и седум стотини.
40. Кога беше утврдено потомството на Асировите синови, по нивните родови и семејства, беа запишани, глава по глава, имињата на оние од дваесет години и повеке, на сите способни за војна.
41. Запишаните од Асировото племе беа четириесет и една иљада и пет стотини.
42. Кога беше утврдено потомството на Нефталимовите синови, по нивните родови и семејства, беа избројани, глава по глава, имињата на оние од дваесет години и повеке, на сите способни за војна.
43. Избројаните од Нефталимовото племе беа педесет и три иљади и четири стотини.
44. Тоа се оние кои ги избројаа Мојсеј и Арон со дванаесетте израелски главатари, по еден овек од секој татковски дом.
45. Беа избројани сите Израелци, по татковските домови, од дваесет години и повеке, сите способни за војна во Израел.
46. И така, сите избројани беа шест стотини и три иљади пет стотини и педесет.
47. Ме у нив не беа вброени левитите по поколенијата на нивните татковци.
48. Имено, Господ му рече на Мојсеја:
49. 'Само Левиевото племе не го внесувај во пописот на Израелците.
50. Туку ти самиот одреди ги левитите за служба во Шаторот на Сведоштвото; за сиот негов намештај и се‘ што спа а во него; тие нека го носат Шаторот и сиот негов прибор; тие нека служат во него и нека го поставуваат својот логор околу него.
51. Кога Шаторот треба да биде преместен, левитите нека го разглобат; а кога Шаторот треба да застане, левитите нека го подигнат пак. Странец кој ке му се доблии нека биде погубен.
52. Израелевите синови нека ги оптегнуваат своите шатори секој во својот логор; секој при своето знаме, по чети.
53. Левитите нека престојуваат околу Шаторот на Сведоштвото, за да не падне гнев врз Израелевото општество. Така левитите нека чуваат стража околу Шаторот на Сведоштвото.'
54. Израелците направија така како што Господ му нареди на Мојсеја. Така направија во се‘.

Глава 2

1. И им рече Господа на Мојсеја и Арона, велејки:
2. 'Синовите Израилеви треба да се распоредат секој според својот чин, според знамето на домот свој, наоколу треба да се настанат синовите Израилеви пред Господа, околу скинијата на сведоштвото.
3. Најнапред, на исток, ке се настани полкот Јудин со војниците свои, и началникот на Јудините синови Наасон, синот Аминадавов.
4. Силата на неговата војска изнесува седумдесет и четири иљади и шестотини војници.
5. По него да се распореди племето Исахарово, и началникот на Исахаровите синови Натанаил, синот Согаров,
6. чија сила е изброена на педесет и четири иљади и четиристотини војници.
7. Близу потаму да се смести племето Завулоново, и началникот на синовите Завулонови Елиав, синот Хелонов;
8. бројот на неговите доброволци изнесува педесет и седум иљади и четиристотини.
9. Сите изброени во Јудиновиот логор се сто и осумдесет и шест иљади и четиристотини; тиа први да тргнат.
10. Кон југ да биде распореден Рувимовиот полк со војската и началникот на синовите Рувимови Елисур, синот Седиуров;
11. бројот на неговите војници, влезени во пребројувањето негово, е четириесет и шест иљади и петстотини.
12. До него да се настани племето Симеоново, и началникот на синовите Симеонови Саламиил, синот Сурисадаев;
13. а неговите војници изброени беа педесет и девет иљади и триста.
14. Потоа да се насели племето Гадово, и началникот на синовите Гадови Елисаф, синот Рагуилов;
15. неговите доброволци беа на број четириесет и пет иљади и шестотини и педесет.
16. Сета сила влезена во пребројувањето на Рувимовиот полк изнесува сто и педесет и една иљада и четиристотини и педесет; тие втори да појдат.
17. Кога ке се крене скинијата на сведоштвото, населбата на левитите да биде во средината на другите населби. Како што се разместени, така и да одат, секој на своето место според чинот свој.
18. Кон морето да биде населбата на Ефремовиот полк со војската негова, и началникот на синовите Ефремови, Елисам, синот Емиудов,
19. а неговите војници изброени, се четириесет иљади и петстотини.
20. До него да се смести племето Манасиево, и началникот на синовите Манасиеви Гамалиил, синот Фадасуров,
21. со неговите доброволци, кои се триесет и две иљади и двесте.
22. Птота да се смести бризу до племето Венијаминово, и началникот на синовите Венијаминови Авидан, синот Гадеониев,
23. заедно со неговите војници, чиј број е триесет и пет иљади и читиристотини.
24. Сите изброени војници од Ефремовата населба се сто и осум иљади и сто; тие трети да поа аат.
25. Кон север да биде населбата на Дановата војка, и началникот на синовите Данови Ахиезер, синот Амисадаев,
26. и неговите војници, чиј број изнесува шеесет и две иљади и седумстотини.
27. А до него да се смести племето Асирово, и началникот на синовите Асирови Фагаил, синот Ехранов,
28. заедно со неговите војници на број, четириесет и една иљада и петстотини.
29. Потаму да се настани племето Нафталимово, и началникот на синовите Нафралимови Ахиреј, синот Енанов,

30. и неговите педесет и три иљади и четиристотини доброволци.'
31. Сите, влезени во пребројувањето на Дановит полк, се сто и педесет и седум иљади и шестотини; тие последни да се креваат според чинот свој.
32. Сите изброени синови Израилеви според домовите нивни се шестотини и три иљади и петстотини и педесет.
33. А левитите не се вброени со синивите на Израилот, како што му беше заповедал Господ на Мојсеја.
34. И направија синовите Израилеви се‘ што му беше заповедал Господ на Мојсеја; така се распоредија според чиновите свои, и така одеа секој според племето свое, според домовите свои.

Глава 3

1. Ова е родословот Аронов и Мојсеев, во оној ден кога му говореше Господ на Мојсеја на планината Синај.
2. Еве ги имињата на синовите Аронови: првенецот Надав, Авуид, Елеазар и Итамар.
3. Тоа се имињата на Ароновите синови, помазани за свештеници, кои тој ги посвети за да свештенодејствуваат.
4. Но Надав и Авиуд умреа пред Господа, кога донесоа ту оган пред Господа во Синајската пустиња, а немаа деца; Елеазар, пак, и Итамар останаа како свештеници кај татка си Арона.
5. И му рече Господ на Мојсеја, велејќи:
6. 'Доведи го Левиевото племе и постави го при свештеникот Арона, за да му служат;
7. и нека тие бидат на стража за него и на стража за целото општество Израилево при скинијата на сведоштвото, за да се извршуваат службите при скинијата;
8. и да ги пазат сите сосуди во скинијата на сведоштвото и да бидат на стража за синовите Израилеви во врска со сите работи што се вршат околу скинијата.
9. И дај му ги левитите на Арон, братот твој, и на синовите негови свештениците: нека Ми бидат тие дадени како дар од синовите Израилеви.
10. А Арон и синовите негови постави ги над скинијата на сведоштвото, за да ја пазат свештеничката дожност и се‘ што е кај жртвеникот и зад завесата; а ако некој надворешен се доближи, да биде убиен.'
11. И му рече Господ на Мојсеја, велејќи:
12. 'Ете, Јас си зедов левитите ме у синовите Израилеви наместо сите првородени од Израилевите синови, што ја отвораат утробата, тие се откуп; левитите да бидат Мои,
13. бидејќи сите првородени се Мои; во денот, кога ги поразив сите првородени во Египетската земја, Јас си осветив за Себе сите Израилеви провородени од човек до добиток: тие да бидат Мои. Јас сум Господ.'
14. И му рече Господ на Мојсеја во Синајската пустиња, велејќи:
15. 'Преброј ги Левиевите синови според домовите нивни, според родовите нивни, преброј се‘ од машки пол од еден месец, и нагоре!'
16. И ги преброи Мојсеј и Арон според зборовите Господови, како што беше заповедано.
17. Еве ги Левиевите синови според имињата нивни: Гирсон, Каат и Мерари.
18. А ова се имињата на Гирсоновите синови според родовите нивни: Ловен и Семеј.
19. И Катовите синови според родовите нивни: Амрам и Исар, Хеврон и Узиил.
20. И Мераривите синови според родовите нивни: Моли и Муси. Тоа се Левисвите родови според домовите нивни:
21. Од Гирсона произлегува родот Ловенов, родот Семејов: тоа се Гирсоновците.
22. Сите, изброени од машки пол, од еден месец и нагоре, беа седум иљади и петстотини.
23. Родовите на Гирсоновци се беа сместиле зад скинијата, кон запад.
24. Началник на поколението од Гиросовите синови беше Елисаф, син Даилов;
25. на Гирсоновите синови при скинијата на сведоштвото им е доверено да ги пазат: скинијата и покривката нејзина, завесата над влезот во скинијата на сведоштвото,
26. оградите од тремот, завесата од влезот во тремот, што е околу скинијата и жртвеникот, и сите други негови делови.
27. Од Каат произлегува родот Амрамов и родот Исаров, и родот Хевронов и родот Узиилов: тоа се Катовците;
28. Според пребројувањето сите од машки пол, од еден месец и нагоре, беа осум иљади и шестотини, кои го чуваа (пазеа) светилиштето.
29. Родовите на Каатовци да се сместат на јужната страна од скинијата;
30. а началникот на племето Каатовци беше Елисафан, синот Узиилов;
31. тие го чуваа ковчегот, трпезата, светилникот, жртвениците, садовите на светилиштето, со кои се служи, и завесата со сите нејзини работи.

32. Началник над началниците на левитите беше Елеазар, син на свештеникот Арон; поставен како стража да го чува светилиштето.
33. Од Мерари произлегува родот на Моли и родот на Муси; тоа се родови Merapиови;
34. сите преброени од машки пол, од еден месец и нагоре, беа на број шест иљади и двесте;
35. началник на домот на Мерариевци беше Суриил, син Авихеов; тие да се распоредат на северната страна;
36. на Мерариевите синови им беше доверено да ги пазат штиците на скинијата и јажињата нејзини, столбовите, подножјата нејзини, сите сосуди, и сите работи со целото нивно устројство,
37. столбовите од тремот наоколу и подножјата нивни, колците нивни и јажињата нивни.
38. А од предната страна на скинијата, на исток, сместени беа Мојсеј и Арон, и синовите негови, кои место синовите Израилеви, го пазеа светилиштето; ако, пак, некој ту инец, се доближеше, биваше убиен.
39. Сите изброени левити, што ги преброи Мојсеј и Арон по заповед на Господа, според родовите нивни, сите од машки пол, од еден месец нагоре, веа дваесет и две иљади.
40. И му рече Господ на Мојсеја: 'Преброј ги сите првородени синови Израилеви од машки пол, од еден месец и нагоре, и преброј ги поименично;
41. и земи ги левитите за Мене, наместо сите првородени од синовите Израилеви, - Јас сум Господ, - а добитокот на левитите место сиот првороден добиток на синовите Израилеви.'
42. И ги преброи Мојсеј, како што му заповеда Господ, сите првородени од синовите Израилеви;
43. и сите првородени од машки пол, според бројот на имињата, од еден месец и нагоре, беа дваесет и две иљади и двесте и седумдесет и три.
44. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
45. 'Земи ги левитите место сите првородени од синовите Израилеви, и добитокот на левитите, место нивниот добиток; левитите нека бидат Мои. Јас сум Господ.
46. А за откуп на десте и седумдесет и трите првородени Израилеви, со кои го надминуваа бројот на левитите,
47. земи по пет сикли за човек, според свештената сикла земи, по даесет пенези од сикла,
48. и дај му го тоа сребро на Арона и на синовите негови, за откуп на оние, што го надминуваат нивниот број.'
49. И го зеде Мојсеј среброто од откупот за оние, што го надмунуваат бројот на заменетите со левитите.
50. Од првородените Израилеви синови зеде сребро иљада и триста и шеесет и пет сикли, според свештената сикла;
51. и среброто од откупот, за оние што го надминуваат бројот, Мојсеј му го даде на Арона и на синовите негови според зборовите на Господа, како што му беше заповедал Господ на Мојсеја.

Глава 4

1. Му рече Господ на Мојсеја и Арона, велејки:
2. 'Пребројте ги Каатовите синови ме у синовите Левиеви според родовите нивни, според домовите нивни,
3. од дваесет и пет години нагоре до педесет години, за да бидат на служба, вршејки ги сите работи во скинијата на сведоштвото.
4. А ова е службата на Каатовите синови, левитите, според родовите нивни, според домовите нивни во скинијата на сведоштвото: да ја носат Свјатаја Свјатих.
5. Кога ке треба да се крене на пат, Арон и синовите негови да влезат и да ја симнат покривната завеса и да го покријат со неа ковчегот на сведоштвото
6. ии да го покријат со покровот од сини кожи, и над неа да ја стават покривката цела од синкава волна, и да го постават носилата.
7. И трпезата за лебот на предложението да ја покријат со платно од синкава волна и да ги наредат одозгора чиниите, и кадилниците, и чашите, и канчињата за пресипување, а на неа секогаш да има лебови;
8. да стават врз нив црвена покривка, да ја покријат со покривало од сина кожа и да ја постават на носилата.
9. Да земат исто така покривка сина, и да го покријат свекникот за осветлување, и свеките негови, и чистилките негови, и сите садови за елеј, со кои се служат,
10. да го обвијат, и сите негови сосуди да ги покријат со покривка од сини кожи и да го стават на носила.
11. А на златниот жртвеник да стават покривка од синкава волна, да го покријат со покривка од сини кожи, и да го постават на носилки.
12. Да ги земат сите сосуди за служење, со кои служат во светилиштето, да го обвијат во синкава волнена обвивка, да ги покријат со покривка од сини кожи, и да ги постават на носилки.
13. А покривка да стават и на жрвеникот и да го обвијат со пурпурно платно;
14. да ги стават одозгора сите сосуди негови, со кои се служат во нив - кадилата, виљушките, лопатките и чашите, сите сосуди на жртвениiот - да го покријат со покривка од сини кожи и да го постават на носилка. И да земат пурпурно платно, да го покријат умивалникот и подножјата негови, да го обвијат во сина кожена покривка, и да го стават на носилка.'
15. И направија така, Арон и синовите негови, покривајки го целото светилиште и сите сосуди на светилиштето, па кога ке се крева населбата, тогаш Каатовите синови да влезат и да носат; но тие не смеат да се допираат до светите работи, за да не умрат. Тие работи од скинијата на сведоштвото да ги носат Каатовите синови.
16. Надѕирател ке биде Елеазар, синот на свештеникот Арон, нему му се доверува елејот за светилникот, благомиризливото кадило, постојаниот лебен принос и елејот за помазание, - му се доверува целата скинија и се‘, што е во неа, светилиштето и она што му припа а нему.
17. И му рече Господ на Мојсеја и Арона, велејки:
18. 'Не го погубувајте родот на Каатовците ме у левитите,
19. туку еве што ке направите за нив, за да бидат живи и да не умираат, кога пристапуваат кон Свјатаја Свјатих: Арон и синовите негови нека дојдат и нека му определат на секого од нив кој што ке носи:
20. но тие не смеат да се доближуваат и ненадејно да ја видат Свјатаја, за да не умрат.'
21. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
22. 'Преброј ги и Гирсоновите синови според домовите нивни, според родовите нивни,
23. од дваесет и пет години нагоре до педесет години, пребројте ги сите подобни за служба и за работа во скинијата на сведоштвото.
24. Еве ја работата на Гирсоновиот род, кога ке служат и ке се движат:
25. да ги носат оградите на скинијата, и скинијата на сведоштвото, покривката нејзина, и

покривот од сини кожи, што е на неа, оградата на вратата од скинијата на сведоштвото,
26. оградата на тремот, завесите од влезот во тремот, што е околу скинијата и жртвеникот, и се‘ што им припа а ним; и сите сосуди за служење што извршуваат служба.
27. Сите служби на Гирсоновите синови, кога носат товари и кога вршат работа, треба да се извршуваат по заповед на Арона и на синовите негови; секому да му се каже посебно што кој ке носи.
28. Тоа се службите на родовите на Гирсоновите синови во скинијата на сведоштвото и тоа е, што да пазат под надзор на Итамара, синот на свештеникот Арон.
29. Преброј ги Мерариевите синови според родовите нивни, според домовите нивни;
30. од дваесет и пет години нагоре до педесет години, преброј ги сите способни за служба, за да работат во скинијата на сведоштвото.
31. Еве што треба да носат тие според службата своја во скинијата на сведоштвото: оградите од скинијата и јажињата нејзини, столбовите нејзини и подлогите нивни,
32. и столбовите од сите страни на тремот и подножјата нивни, и столбовите за завесата на вратата од тремот, и колците нивни и јажињата нивни, и сите сосуди и подножјата и се‘ што е потребно за служење и именувајте ги работите, што треба да ги носат.
33. Тоа е работата на родовите на Мерариевите синови според службата нивна при скинијата на сведоштвото, а под надзор на Итамара, синот на свештеникот Арон.'
34. И ги распоредија Мојсеј и Арон началниците Израилеви на Кaатовите синови според родовите нивни и домовите нивни,
35. од дваесет и пет години нагоре дури до педесеттата што ке служи и работи секој во скинијата на сведоштвото.
36. И излегоа на број според родовите нивни, две иљади и седумстотини и педесет.
37. Тоа се преброените родови Кaатови, на сите што ке служат при скинијата на сведоштовото, и што ги изброи Мојсеј и Арон по заповед на Господа, дадена преку раката на Мојсеја.
38. И Гирсоновите синови беа преброени според родовите нивни, и според домовите нивни,
39. од дваесет и пет години и нагоре, дури до педесет години, што секој ке работи и врши во скинијата на сведоштвото;
40. и излегоа на број, според родовите нивни, според домовите нивни, две иљади и шестотини и триесет.
41. Тоа се изброените од родовите на Гирсоновите синови, сите што ке служат во скинијата на сведоштвото, а кои ги изброи Мојсеј и Арон, по заповед на Господа, преку раката на Мојсеја.
42. Родовите на Мерариевите синови беа изброени според родовите нивни, според домовите нивни,
43. од дваесет и пет години и нагоре, дури и до педесет години, сите способни за служба и за работа при скинијата на сведоштвото;
44. и излегоа на број, според родовите нивни, според домовите нивни, три иљади и двесте.
45. Тоа се пребороените од родовите на Мерариевите синови, што ги преброи Мојсеј и Арон по заповед на Господа, дадени преку Мојсеја.
46. И беа изброени сите левити, што ги изброи Мојсеј и Арон и началниците Израилеви според родовите нивни и според домовите нивни,
47. од дваесет и пет години и нагоре, дури и до педесет години, сите способни да работат и да носат во скинијата на сведоштвото,
48. и излегоа на број осум иљади и петстотини и осумдесет.
49. По заповед на Господа ги распореди Мојсеј, секој за својата работа што ке ја врши, и беа изброени, како што му заповеда Господ на Мојсеја.

Глава 5

1. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
2. 'Заповедај им на синовите Израилеви да ги истераат надвор од населбата сите лепрозни, и сите што имаа излив на семе, и сите што се оскверниле од мртовец;
3. и мажите и жените истерајте ги, надвор од населбата истерајте ги, за да не ги осквернуваат домовите свои, ме у кои и Јас живеам.'
4. Така и направија синовите Израилеви и ги истераа надвор од населбата: како што му рече Господ на Мојсеја, така и направија синовите Израилеви.
5. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
6. 'Кажи им на синовите Израилеви: ако маж или жена направи кој и да било грев против човек и со тоа изврши престап против Господа, виновна е таа душа.
7. Нека го исповеда направениот грев и да го врати она, за што е виновен, и да додаде кон тоа уште една петина и да му го даде на оној, спрема кого згрешил.
8. Ако тој човек нема наследник, кому би требало да му се врати за вината, тогаш да му го посвети тоа на Господа: нека биде тоа за свештеникот, освен овенот за очистувањето, над кој ке се помоли тој за него.
9. И секоја првина, и се‘ што се осветува за синовите Израилеви, а ке го донесуваат за Господа при свештеникот, нему му припа а;
10. и посветеното, од кого и да е, нему му припа а, и, ако некој му даде нешто на свештеникот, нему му припа а.'
11. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
12. 'Зборувај со синовите Израилеви и кажи им: ако некого го изневери жената и го презре,
13. или ако некој преспие со неа и излие семе, и тоа се утаи од очите на мажот нејзин, или ако скрие дека се осквернила тајно, а против неа нема сведок, таа нема да биде разобличена;
14. а него го обземе ли љубоморен дух, и почне да љубомори на жена си, кога таа е осквернета, или го обзема љубоморен дух, и тој почне да љубомори на жена си, кога таа не е осквернета,-
15. тогаш мажот нека ја доведе жената при свештеникот и да принесе дар за неа една десетина од ефа јачмено брашно, на да не го полива со елеј и да не става на него ливан, зашто тоа е жртва за љубомора, жртва за спомен што наспомнува за беззаконие.
16. А свештеникот нека ја приведе жената и нека ја исправи пред Господа;
17. и да зема тој изворска вода во глинен сад и прав од сувата земја во скинијата, и да го стави во водата.
18. Потоа свештеникот да ја исправи жената пред Господа, и да и‘ ја открие главата и да го стави врз рацете нејзини приносот за спомен, - а тоа е принос за љубомора, а свештеникот да ја држи во раката измешаната вода, која носи проклетство.
19. И свештеникот да ја заколне и да и‘ рече на жената: 'Ако никој не бил со тебе, и ти не си се осквернила и не си го изневерила својот маж, невина биди.
20. Но, ако си го изневерила својот маж и си се осквернила, и ако некој, освен твојот маж, спиел со тебе,-
21. тогаш свештеникот нека ја заколне жената со клетва за проклетството и нека и‘ рече: - Да те предаде Господ на проклетството и на клетва во твојот народ, и да даде Господ утробата твоја да се исуши, и стомакот твој да се надуе;
22. и да мине внатре во тебе таа вода што носи проклетство, па стомакот твој да се надуе и утробата твоја да се исуши. - А жената да каже: ‘Амин, амин.‘
23. И свештеникот да ја напише таа клетва на хартија, а потоа да ја избрише во измешаната вода;
24. и да и‘ даде на жената да се напие од измешаната вода, што носи проклетство, и да влезе во неа водата, што донесува проклетство.
25. И да земе свештеникот од рацете на жената лебен принос за љубомора, и да го издигне тој

принос пред Господа, и да го однесе кај жртвеникот.
26. И свештеникот да земе тогаш со рака малку од лебниот принос за спомен, да го изгори на жртвеникот и потоа да и‘ даде да жената да ја испие водата;
27. и откога ке ја напои со водата, ако е таа нечиста и ако направила престап спрема својот маж, измешаната вода што носи проклетство, ке влезе во неа, и стомакот ке и‘ се надуе, и утробата нејзина ке се исуши, и таа жена ке биде проклета ме у својот народ.
28. Ако, пак, жената не е осквернета и останала чиста, ке остане без повреда и ке се оплодува од семе.
29. Тоа е законот за љубомора: кога жената ке го изневери својот маж и ке се оскверни,
30. или кога љубоморен дух ке го обзема мажот, и тој почне да љубомори на жена си, тогаш тој нека ја исправи жена си пред Господа, и нека го изврши свештеникот над неа се‘ она според овој закон,-
31. и мажот ке биде чист од грев, а жената ке го прими врз себе својот грев.'

Глава 6

1. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
2. 'Кажи им на синовите Израилеви и речи им: ако маж или жена вети да Му се посвети на
Господа, да даде завет за да се очисти со Господовата чистота,
3. тој треба да се воздржува од вино и од сикер, и од вински оцет, и од оцет од сикер, и не
смее да пие ништо приготвено од грозје, а не смее да јаде ни свежо, ниту суво грозје;
4. во сите денови на својот завет тој не смее да јаде и да пие ништо, што е приготвено од
грозје, - од семките до лушпите.
5. Во сите денови на неговиот завет за очистување брич не смее да ја допира главата негова;
додека да минат деновите, во кои Му се посветил на Господа, тој е свет; треба да остави
слободна да расте косата на неговата глава.
6. Во сите денови, во кои Му се посветил на Господа, тој не смее да се доближува до мртво
тело;
7. тој не смее да се осквернува ни со допир до таткото свој и мајката своја, до братот свој и
сестрата своја, кога ке умрат, зашто заветот на Бога е врз главата негова;
8. во сите денови на неговиот завет нека биде свет пред Господа.
9. Ако некој кај него умре некој ненадејно, и со тоа се оскверни главата на неговиот завет, да
ја истриже главата своја во денот на своето очистување, на седмиот ден да ја истриже,
10. а во осмиот ден да му однесе на свештеникот при влезот од скинијата на сведоштвото две
грлици или два млада гулаба.
11. Свештеникот да принесе една од птиците како жртва за грев, а другата за сепаленица, и
да се помоли за него за она во што се осквернил и да ја посвети главата негова во тој ден; во
тој ден ке се освети во Господа, во деновите на неговиот завет,
12. а тој одново треба да ги почне на Господа посветените денови според својот завет и да
принесе едногодишно јагне како жртва за престап; поранешните, пак, денови да не се
сметаат, зашто главата му беше осквернета.
13. И тоа е законот за оној што сака да освети, и во оној ден кога ке завршат деновите за
заветот негов, тој сам треба да принесе пред влезот од скинијата на сведоштвото,
14. приведувајки Му дар на Господа едно едногодишно машко јагне без недостаток за
сепаленица, и едно женско јагне без недостаток како жртва за грев и еден овен без
недостаток како жртва за спасение,
15. и кошница со лебови без квас од пченично брашно, и лебови месени со елеј, и лебови
помазани со елеј, и жртва за нив и за преливање.
16. И свешетникот да го денесе тоа пред Господа и да принесе жртва за грев и сепаленица за
него;
17. овенот да Му го принесе на Господа како жртва за спасение заедно со кошницата
бесквасни лебови; исто така свештеникот да го принесе лебот и преливот за него.
18. А при влезот од скинијата на сведоштвото ветениот да ја истриже својата посветена глава,
и да ја стави косата од својата посветена глава на огнот, што е под жртвата за спасение.
19. И да земе свештеникот една сварена плешка од овенот, еден бесквасен леб од кошницата
и еден леб и да ги стави во рацете на ветениот, откако тој ке ја истриже својата глава;
20. и да го издигне тоа свештеникот, нишајки го пред Господа; тоа е светиња за свештеникот
заедно со нишканите приноси и издигнатата плешка. Потоа назореот може да пие вино.
21. Тоа е законот за ветениот, кој што ветил да Му даде дар на Господа за неговиот завет,
освен она, што не е во состојба да даде: според законот за очистување.'
22. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
23. 'Кажи му на Арона и на синовите негови: така да го благословувате синовите Израилеви и
говорете им:
24. ‘да те благослови Господ и да те чува!
25. да погледна милозливо кон тебе Господ со светлото Свое лице на тебе и да те помилува;

26. да го сврти Господ кон тебе лицето Свое и да ти даде мир!‘
27. Така да го спомнувате името Мое над синовите Израилеви, и Јас, Господ ќе ги благословам.'

Глава 7

1. Во оној ден кога Мојсеј ја изгради скинијата и ја помаза, кога ја освети неа и сите нејзини сосуди, и жртвеникот и сите негови сосуди, и ги помаза и ги освети, -
2. тогаш доведоа при него дванаесет началници Израилви, глави на домовите нивни, старешини на племињата што го надгледуваа пребројувањето,
3. и донесоа принос свој пред Господа - шест покриени коли и дванаесет волови, по една кола од двајца началници и по едно теле од секого, и го донесоа тоа пред скинијата.
4. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
5. 'Земи го тоа од нив; тоа ке послужи за извршување на службите во скинијата на сведоштвото; и дај им го тоа на левитите, секому според службата негова!'
6. И ги зеде Мојсеј колите и воловите и им ги предаде на левититие:
7. две коли и четири вола им даде на Гирсоновите синови, според службата нивна;
8. и четири коли и осум волови им даде на Мерариевите синови, според службата нивна, под надзор на Итамара, синот на свештеникот Арон;
9. а на Каатовите синови не им даде, зашто нивната работа беше да го носат светилиштето: на рамо треба да го носат.
10. И донесоа началниците жртви за осветување на жртвеникот во оној ден кога го помазаа, а принесоа началниците и дарови свои пред жртвеникот.
11. Па му рече Господ на Мојсеја: 'На ден по еден началник да донесува свој принос за обновување на жртвеникот.'
12. Во првиот ден го донесе својот дар Наасон, Аминадавовиот син, од племето на Јуда;
13. дарот негов беше: една сребрена чинија, тешка сто и триесет сикли, една сребрена чаша, тешка седумдесет сикли, според свештената сикла, обете полни со пченично брашно, смешано со елеј за жртва;
14. една златна кадилница, тешка десет сикли, полна со темјан;
15. едно теле, еден овен, едно едногодишно јагне за сепаленица;
16. еден козел од козите - жртва за грев;
17. и жртва за спасение, две јуниња, пет овни, пет козли, пет јагниња. Тоа беше дар од Наасона, Аминадавовиот син.
18. Во вториот ден дар свој донесе Натанаил, Согаровиот син, началник на племето Исахарово;
19. тој донесе свој принос: една сребрена чинија, тешка сто и триесет сикли, една сребрена чаша - седумдесет сикли, според свештената сикла, полни со пченично брашно, измешано со елеј за жртва;
20. една златна касилница - десет сикли, полна со темјан,
21. едно теле, еден овен, едно едногодишно јагне за сепаленица,
22. е еден козел како жртва за грев,
23. и жртва за спасение - два јунца, пет овни, пет козли, пет едногодишни јагниња. Тоа беше дарот од Натанаила, Согаровиот син.
24. Во третиот ден донесе началникот на синовите Завулонови Елиав, Хелоновиот син;
25. дарот му беше: една сребрена чинија, тешка сто и триесет сикли, една сребрена чаша - седумдесет сикли, според свештената сикла, полни со пченично брашно, извешано со елеј за жртва;
26. една златна кадилница - десет сикли, полна со темјан,
27. едно теле од воловите, еден овен, едно едногодишно јагне за сепаленица,
28. еден козел - жртва за грев,
29. и жртва за спасение две јуници, пет овни, пет козли, пет едногодишни јагниња. Тоа беше дар од Елиав, Хелоновиот син.
30. Во четвртиот ден донесе началникот на Рувимовите синови Елисур, Седиуровиот син;
31. дарот негов беше: една сребрена чинија, тешка сто и триесет сикли, една сребрена чаше - седумдесет сикли, според свештената сикла, полни со пченично брашно со елеј за жртва;

32. една златна кадилница - десет сикли, полна со темјан,
33. едно теле од воловите, еден овен, едно едногодишно јагне за сепаленица,
34. еден козел - жртва за грев,
35. и жртва за спасение две јуници, пет овни, пет јариња и пет едногодишни јагниња. Тоа е дарот од Елисур, Седиуровиот син.
36. Во петтиот ден донесе началникот на Симеоновите синови Саламиил, Сурисадаевиот син;
37. приносот негов беше: една сребрена чинија, тешка сто и триесет сикли, една сребрена чаша - седумдесет сикли, според свештената сикла, обете полни со пченично брашно, и измешано со елеј за жртва;
38. една златна кадилница - десет сикли, полна со кадиво,
39. едно теле од воловите, еден овен, едно едногодишно јагне за сепаленица,
40. еден козел - жртва за грев,
41. и жртва за спасение - две јуници, пет овни, пет колзли и пет едногодишни јагниња. Тоа е дарот од Саламиил, Сурисадаевиот син.
42. Во шестиот ден донесе началникот на Гадовите синови Елисаф, Рагуиловиот син;
43. проносот негов беше: една сребрена чинија, тешка сто и триесет сикли, една сребрена чаша - седумдесет сикли, според свештената сикла, полни со пченично брашно, измешано со елеј за жртва;
44. една златна кадилница - десет сикли, полна со кадиво,
45. еден козел, едно теле од воловите, еден овен, едно едногодишно јагне за сепаленица,
46. еден козел жртва за грев,
47. и жртва за спасение - две јуници, пет овни, пет козли и пет едногодишни јагниња. Тоа е дарот од Елисаф, Рагуиловиот син.
48. Во седмиот ден донесе началникот на Ефремовите синови Елисам, Емиудовиот син;
49. проносот негов беше: една сребрена чинија, тешка сто и триесет сикли, една сребрена чаша - седумдесет сикли, според свештената сикла, полни со пченично брашно, измешано со елеј за жртва;
50. една златна кадилница - десет сикли, полна со темјан,
51. едно теле од воловите, еден овен, едно едногодишно јагне за сепаленица,
52. еден козел - жртва за грев,
53. и жртва за спасение - две јуници, пет овни, пет козли, пет едногодишни јагниња. Тоа е дарот од Елисам, Емиудовиот син.
54. Во осмиот ден донесе началникот на Манасиевите синови Гамалиил, Фадасуровиот син;
55. приносот негов беше: една сребрена чинија, тешка сто и триесет сикли, една сребрена чаша - седумдесет сикли, според свештената сикла, полни со пченично брашно, измешано со елеј за жртва;
56. една златна кадилница - десет сикли, полна со темјан,
57. едно теле од воловите, еден овен, едно едногодишно јагне за сепаленица,
58. еден козел - жртва за грев,
59. и жртва за спасение, две јуници, пет овни, пет козли, пет едногодишни јагниња. Тоа е дарот од Гамалиил, Фадасуровиот син.
60. Во деветтиот ден донесе началникот на Венијаминовите синови Авидан, Гидеониевиот син;
61. приносот негов беше: една сребрена чинија, тешка сто и триесет сикли, една сребрена чаша - седумдесет сикли, според севштената сикла, полни со пченично брашно измешано со елеј за жртва;
62. една златна кадилница - десет сикли, полна со темјан,
63. едно теле од воловите, еден овен, едно едногодишно јагне за сепаленица,
64. еден козел - жртва за грев,
65. е жртва за спасение - две јуници, пет овни, пет козли, пет едногодишно јагниња. Тоа е дар од Авидана, Гидеониевиот син.
66. Во десеттиот ден донесе началникот на Дановите синови Ахиезер, Амисадаевиот син;

67. приносот негов беше една сребрена чинија, тешка сто и триесет сикли, една сребрена чаша - седумдесет сикли, според свештената сикла, полни со пченично брашно, измешано со елеј за жртва;
68. една златна кадилница - десет сикли, полна со темјан,
69. едно теле од воловите, еден овен, едно едногодишно јагне за сепаленица,
70. еден козел - жртва за грев,
71. е жртва за спасение - две јуници, пет овни, пет козли, пет едногодишни јагниња. Тоа е дарот на Ахиезер, Амисадаевиот син.
72. Во единаесеттиот ден донесе началникот на Асировите синови Фагаил, Ехрановиот син;
73. приносот негов беше: една сребрена чинија, тешка сто и триесет сикли, една сребрена чаша - седумдесет сикли, според свештената сикла, полни со пченично брашно, измешано со елеј за жртва;
74. една златна кадилница - десет сикли, полна со темјан,
75. едно теле од воловите, еден овен, едно едногодишно јагне за сепаленица,
76. еден козел - жртва за грев,
77. и жртва за спасение - две јуници, пет овни, пет козли, пет едногодишни јагниња. Тоа е дарот од Фагаил, Ехрановиот син.
78. Во дванаесеттиот ден донесе началникот на Нефралимовите синови Ахиреј, Енановиот син;
79. приносот негов беше: една сребрена чинија, тешка сто и триесет сикли, една сребрена чаша - седумдесет сикли, според свештената сикла, полни со пченично брашно, измешано со елеј за жртва.
80. една златна кадилница - десет сикли, полна со темјан,
81. едно теле од воловите, еден овен, едно едногодишно јагне за сепаленица,
82. еден козел, жртва за грев,
83. и жртва за спасение - две јуници, пет овни, пет козли, пет едногодишни јагниња. Тоа е дарот од Ахиреја, Енановиот син.
84. Тоа беа даровите од началниците Израилеви при обновувањето на жртвеникот во денот на помазувањето негово: дванаесет сребрени чинии, дванаесет сребрени чаши, дванаесет златни кадилници.
85. Во секоја чинија имаше по сто и триесет сикли сребро и во секоја чаша по седумдесет; и така, сребро во тие садови се‘ на се‘ - две иљади и четиристотини сикли, според свештената сикла;
86. а дванаесетте златни кадилници полни со темјан, секоја имаше по десет сикли, според свештената сикла: злато во кадилниците се‘ на се‘ - сто и дваесет сикли.
87. За сепаленици имаше вкупно: дванаесет телиња крупен добиток, дванаесет овни, дванаесет едногодишни јагниња, и жртвите со нив и прелив за нив, како и жртвите за грев дванаесет козли;
88. а за спасение жртви имаше се‘ на се‘: дваесет и четири телиња крупен добиток, шеесет овни, шеесет едногодишни козли, шеесет едногодишни јагниња без недостаток; тоа беа даровите при осветувањето на жртвеникот откако беше помазан.
89. Кога Мојсеј влегуваше во скинијата на сведоштвото да зборува со Господа, слушаше глас, кој му говореше од поклопецот, што е над ковчегот на откровението ме у двата херувима; и му говореше.

Глава 8

1. И му рече Господ на Мојеја, велејки:
2. 'Јави му на Арона и кажи му: кога ги палиш кандилцата, отспреди на светилникот треба да горат седум канцилца.'
3. Арон така и направи: отспреди на светилникот ги запали кандилцата негови, како што му заповеда Господ на Мојсеја.
4. И еве како е направен светилникот: излеан е од злато - од стеблото негово до цветовите негови; тој го направи светилникот според образецот, што Господ му го беше покажал на Мојсеја.
5. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
6. 'Земи ги левитите ме у синовите Израилеви и очисти ги.
7. А за да ги очистиш, постапи со нив вака: пороси ги со вода за очистување, и нека го избричат со брич целото тело свое и да ги исперат алиштата свои, па ке бидат чисти.
8. И да земат едно теле од воловите и заедно со него и жртва принос од пченично брашно, измешано со елеј, и друго теле нека земат - жртва за грев.
9. И доведи ги левитите пред скинијата на сведоштвото и собери го целото општество на синовите Израилеви;
10. доведи ги левитите пред Господа, а синовите Израилеви нека ги стават рацете свои врз левитите.
11. Арон, пак, да ги изврши над левитите посветувањето нивно пред Господа од страна на синовите Израилеви за да Му служат на Господа;
12. а левитите да ги ставаат рацете свои врз главите на телињата, и едното да го принесе како жртва за грев, а другото за сепаленица на Господа, за да се смили над нив Господ.
13. Потоа постави ги левитите пред Арона и пред синовите негови и тие да го извршат над нив посветувањето нивно во Господа;
14. така оддели ги левитите од синовите Израилеви, па левитите да бидат Мои.
15. Потоа левитите, откако ке ги очистиш и ке го извршиш над нив посветувањето нивно, да влезат да служат во скинијата на сведоштвото; зашто тие Ми се дадени ме у синовите Израилвеи;
16. бидејки место сите првородени од синовите Израилеви, кои отвораат секоја утроба, Јас ги зедов за Себе.
17. Зашто Мои се сите првородени ме у синовите Израилеви, од човек до добиток: во оној ден, кога Јас ги празив сите првородени во Египетската земја, Јас ги осветив за Себе,
18. и ги зедов левитите место сите првородени ме у синовите Израилеви.
19. Ме у синовите Израилеви левитите му ги предадов на Арон а на синовите негови, за да служат место синовите Израилеви при скинијата на сведоштвото и да внимаваат на синовите Израилеви да не им се случи зло, ако се доближат до светилиштето.'
20. Така и постапија со левитите Мојсеј и Арон и целото општество на синовите Израилеви; како што му заповеда Господ на Мојеја за левитите, така и постапија со нив синовите Израилеви.
21. И левитите откако се очистија и ги испраа облеките свои, Арон изврши над нив посветување пред Господа и ги очисти, и се помоли за нив за да бидат чисти.
22. Потоа левитите влегоа да служат во скинијата на сведоштвото пред Арона и пред синовите негови. Како што му заповеда Господ на Мојсеја за левитите, така и направи со левитите.
23. Господ му рече на Мојсеја:
24. 'И ова се однесува за левитите: левитите, од дваесет и пет години нагоре, нека преземаат по ред служба во Шаторот на средбата.
25. А на педесет години нека истапат од службат и веке нека не служат.
26. Но можат да им помагаат на своите брака во исполнување на нивните должности во Шаторот на средбата, но самите не треба да ја исполнуваат службата.

Глава 9

1. И му рече Господ на Мојсеја во Синајската пустиња во првиот месец од втората година, откако беа излегле од Египетската земја, велејки:
2. 'Нека напарват синовите Израилеви Пасха во определеното за неа време:
3. на четиринаесеттиот ден од тој месец вечерта направете ја во определеното време за неа; според занокот за неа и со сите обреди за неа направете ја!'
4. И им рече Мојсеј на синовите Израилеви да направат Пасха.
5. И направија Пасха во првиот месец, на четиринаесеттиот ден од месецот вечерта, во Синајската пустиња: како што му заповеда Господ на Мојсеја, така и постапија во се‘ синовите Израилеви.
6. А имаше лу е, кои беа нечисти од допир до мртви човечки тела, па не можеа да направат Пасха во оној ден; и дојдоа тие лу е во оној ден кај Мојсеја и Арона,
7. и му рекоа на Мојсеја: 'Ние сме нечисти од допир до мртви човечки тела; зошто не ни дозволуваат и ние да му принесеме принос на Господа во определеното време ме у синовите Израилеви?'
8. И им рече Мојсеј: 'Почекајте да чујам, како ке заповеда Господ за вас.'
9. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
10. 'Кажи им на синовите Израилеви: ако некој од вас или од потомците ваши биде нечист поради допир до мртво тело, или биде на долг пат, при вас или кај родовите ваши, и тој нека направи Пасха Господова.
11. Таквите нека ја направат во четиринаесеттиот ден од вториот месец вечерта и нека ја јадат со бесквасен леб и со горчливи тревки;
12. и да не оставаат од неа за утрешниот ден и коските нејзини да не се кршат; нека ја направат според сите наредби за Пасха.
13. А оној што е чист, а не бил на долг пат и не направи Пасха, - да се истреби таа душа од народот свој, зашто тој не Му принесол дар на Господа во определеното време: грев нека прими врз себе тој човек.
14. Ако при вас живее придојден и тој треба да направи Пасха Господова; според наредбата за Пасха и спред обредот за неа тој трева да ја направи; една наредба нека е за вас - и за придојден, и за тукашен.
15. Во оној ден кога беше поставена скинијата, облак ја покри скинијата и домот на сведоштвото, и до вечерта па до мугри со гледаше нешто како оган над скинијата.
16. Така стануваше секогаш: облак ја покриваше дење и нешто како оган - ноке.
17. И штом облакот ке се кренеше од скинијата, синовите Израилеви тргнуваа на пат, и на местото, каде што облакот запираше, таму се сместуваа синовите Израилеви.
18. По заповед на Господа синовите Израилеви тргнуваа на пат и по заповед на Господа застануваа: за сето време, додека облакот сотеше над скинијата, стоеја и тие;
19. и ако облакот долго време остануваше над скинијата, синовите Израилеви го набљудуваа тој Господов знак и не тргнуваа.
20. Понекогаш, пак, облакот малку време остануваше над скинијата: според знакот Господов тие се запираа и според знакот Господов тргнуваа на пат.
21. Понекогаш облакот стоеше само од вечечерта до утрината, и наутро облакот се креваше, тогаш и тие тргнуваа; или облакот стоеше и дење и ноке, и кога ке се кренеше, тогаш и тие тргнуваа;
22. или ако еден ден, или цел месец, облакот остануваше над скинијата, тогаш и синовите Израилеви стоеја и не тргнуваа на пат; а кога ке се издигнеше, тогаш тргнуваа.
23. На знакот Господов се запираа и според знакот Господов тргнуваа на пат, го набљудуваа знакот Господов по заповедта на Господа, дадена преку Мојсеја.

Глава 10

1. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
2. 'Направи си две сребрени труби, ковани направи ги, за да ти служат да го собираш народот и да ги креваш полковите.
3. А кога ке затрубиш со нив, да се собере кај тебе целото општество пред влезот од скинијата на сведоштвото.
4. Кога ке се затруби со едната труба, да дојдат кај тебе кнезовите и војводи Израилеви.
5. Кога ке затрубите за поа ање, да се кренат оние полкови, што се сместени кон исток.
6. Кога ке затрубите по вторпат за поа ање, тогаш да се кренат полковите, што се сместени кон југ; штом ке затрубите по третпат за поа ање, нека се кренат полковите што се настанети кон морето; кога по четврти пат ке дадете знак, да се кренат полковите, што се настанети кон север; да се труби кога се тргнува на пат.
7. Кога, пак, се свикува собранието, трубете, но не со знак.
8. Со трубите да трубат Ароновите синови, свештениците: тоа да ви биде вечен закон во родовите ваши.
9. И кога ке се кренете да ја браните земјата ваша од непријателот, кој оди против вас, трубете со знак, и Господ, Бог ваш, ке си спомни за вас, и вие ке се избавите од непријателите ваши.
10. И во деновите на веселбата ваша, и во празниците свои, и во новомесечијата свои трубете за сепаленица, а при жртвите ваши за спасение, - и тоа да биде секавање пред вашиот Бог: Јас сум Господ, Бог ваш.'
11. На втората година, во вториот месец, на дваесеттиот ден од месецот, облакот се крена од скинијата на сведоштвото.
12. Тогаш синовите Израилеви појдоа од Синајската пустиња со имотите свои, и облакот застана во пустињата Фаран.
13. И се кренаа тие за првпат, по заповед на Господа, дадена преку Мојсеја.
14. Прво беше кренато знамето, што беше во полето на синовите Јудини, според доброволците нивни; над војската Јудина беше Наасон, Аминадавовиот син;
15. над војската од племето на синовите Исахарови беше Натанаил, Согаровиот син;
16. над војската од племето на синовите Завулонови беше Елиав, Хелоновиот син;
17. И се кренаа синовите Гирсонови и синовите Мераиеви, кои ја носеа скинијата.
18. А беше кренато и знамето во полкот на синовите Рувимови со нивната војска; и над војската Рувимова беше Елисур, Седиуровиот син;
19. а над војската од племето на синовите Симеонови беше Саламиил, Сурисадаевиот син;
20. над војските, пак, од племето на синовите Гадови беше Елисаф, Рагуилов син.
21. Потоа тргнаа Каатовите синови, носејки го светилиштето; и скинијата ја поставуваа онде, каде што пристигнуваа.
22. И се крена знамето во полкот на синовите Ефремови со војската негова; и над војската Ефремова беше Елисам, Емиудовиот син;
23. а над војската од племето на синовите Манасиеви беше Гамалиил, Фадасуровиот син;
24. над војската пак, од племето на синовите Венијаминови беше Авидан, Гадеониевиот син.
25. Последно ме у сите полкови беше кренато знамето во полкот на синовите Данови со војската нивна; и над војската Данова беше Ахиезер, Амисадаевиот син;
26. а над војската од племето на синовите Асирови беше Фагаил, Ехрановиот син.
27. над војската пак, од племето на синовите Нефталимови беше Ахиреј, Енановиот син.
28. Тоа се полковите на синовите Израилеви со војските нивни. И тргнаа.
29. И му рече Мојсеј на Јовав, Рагуиловиот син, Мадијамецот, Мојсеевиот тест: 'Ние одиме во она место, за кое Господ рече: ‘вам ке ви го дадам.‘ Дојди со нас, ке ти направиме добро, зашто Господ вети многу добрини за Израилот.'
30. Но тој му одговори: 'Нема да дојдам; ке отидам во земјата своја, при родот свој ке појдам.'

31. А Мојсеј му рече: 'Не оставај не‘, зашто ти беше со нас во пустињата, и при нас ќе бидеш старешина.
32. Ако појдеш со нас, оние добра, што Господ нам ќе ни ги направи, ќе ти ги направите и ние тебе.'
33. И изминаа од планината Господова три дена пат, и ковчегот на заветот Господов одеше пред нив на три дена пат, за да им одбере место, каде да се сместат.
34. И облакот Господов ги осенуваше дење, кога тргнуваа од логорот.
35. Кога ковчегот се креваше за пат, Мојсеј велеше: 'Стани, Господи, за да се растурат Твоите непријатели, и да избегаат од Твоето лице оние, што Те мразат!'
36. А кога ковчегот се запираше, тој велеше: 'Врати се, Господи, кај илјадите и десетиците илјади Израилеви!'

Глава 11

1. Народот почна гласно да мрмори пред Господа; и Господ чу, па Му се разгори гневот, и ме у
нив пламна оган Господов и истреби еден дел од војската.
2. И повика народот кон Мојсеја; Мојсеј Му се помоли на Господа и огнот престана.
3. И го нарекоа тоа место '(оган)' тавера, зашто ме у нив беше пламнал оган Господов.
4. Продојдените ме у нив почнаа да негудуваат, а заедно со нив и синовите Израилени седнаа,
плачеа и велеа: 'Кој ке не‘ нахрани со месо?'
5. Ја опмниме рибата што ја јадевме како подарок во Египетската земја, краставиците и
дињите, и кромидот, и празот, и лукот;
6. а сега душата наша се исушила: освен мана, ништо друго пред очите наши.'
7. А маната прилегаше на кориандрово семе и изгледаше како кристал.
8. Народот одеше да ја собира и ја мелеше со рачници, и ја толчеше во вагани, и ја вареше во
котли, па правеше од неа питки; по вкус тие личеа на питулици, приготвени со елеј
9. Кога ноке па аше роса врз логорот, тогаш па аше и мана врз него.
10. И чу Мојсеј дека народот плаче во колибите свои, секој пред вратата од шаторот свој; и
гневот Господов силно се разгоре, и на Мојсеја му стана тешко.
11. И Му рече Мојсеј на Господа: 'Зошто го озлоби Твојот роб и зошто не најдов јас милост пред
очите Твои, па го стави врз мене целото бреме на овој народ?
12. Зар јас го зачнав во утробата своја овој народ, и зар јас го родив, па ми велиш: ‘носи го на
раце, како што доилката го носи детето, до земјата, која Ти со клетва му ја вети на татковците
негови?‘
13. Од каде при мене месо, па да им дадам на сите овие лу е, оти тие плачат пред мене и
велат: ‘дај ни месо да јадеме.‘
14. Јас сам не можам да го водам сиот овој народ, зашто таа заповед е тешка за мене.
15. Штом така постапуваш со мене, подобро убиј ме ако сум добил милост пред Твоите очи, па
да не ја гледам невољата своја.'
16. И му рече Господ на Мојсеја: 'Собери ми седумдесет мажи од старците ме у старешините
Израилеви, за кои знаеш дека се негови старешини и надзиратели, па доведи ги кај скинијата
на сведоштовото, за да застанат таму заедно со тебе.
17. Јас ке слезам и ке зборувам таму со тебе, ке земам од Духот, Кој е во тебе, и ке им наредам
ним, да го носат заедно со тебе товарот на народот, а не ти сам да го носиш.
18. А на народот кажи му: ‘очистете се за утрешниот ден, и ке јадете месо; зашто плачете
пред Господа велејки: - кој ке не нахрани со месо; добро ни беше во Египет, - затоа Господ ке
ви даде месо, и ке јадете месо;
19. ке јадете не ден, не два, не пет дена, не десет и не дваесет дена,
20. но цел месец ке јадете, додека не ви излезе од ноздрите и не ви омрзне, затоа што го
презревте Господа, Кој што е ме у вас, и плачете пред Него, велејки: - што ни требаше да
излегуваме од Египет?'
21. И рече Мојсеј: 'Шестотини иљади пешаци има во тој народ, ме у кои сум и јас, а Ти велиш:
Јас ке им дадам месо, и ке јадат цел месец!
22. зар треба да се заколат сите овци и волови, па да им биде доволно, или ке се собере сета
морска риба, па да ги задоволи?'
23. И му рече Господ на Мојсеја: 'Зар е раката Господова кратка: сега ке видиш, ке се оствари
ли зборот Мој кон тебе, или не.:
24. Мојсеј излезе и му ги кажа на народот зборовите Господови, и собра седумдесет постари
мажи ме у старешините народни и ги постави околу скинијата.
25. И Господ слезе во облак и говореше со него, и зеде од Духот, Кој беше над него, и им даде
на седумдесетте мажи старешини. И кога слезе над нив Духот, тие почнаа да пророкуваат, но
потоа престанаа.
26. Двајца од мажите беа останале во логорот; името на едниот му беше Елдад, а на другиот -

Модад; но и над нив беше слегол Духот, тие беа ме у запишаните, само што не излегоа при скинијата, но и тие пророкуваа во логорот.
27. Дотрча едно момче и му јави на Мојсеја, и рече: 'Елдад и Модад пророкуваат во логорот.'
28. Во одговор на тоа Исус син Навинов, служител на Мојсеја, еден од избраниците негови, рече: 'Господаре мој, Мојсеју, забрани им!'
29. Но Мојсеј му рече: 'Зар завидуваш поради мене? О, да беа сите од народот Господов пророци, и да им го испратеше Господ Својот Дух!'
30. Тогаш Мојсеј се врати во логорот, тој и старешините Израилеви.
31. Потоа ветар дувна од Господа, и донесе откај морето потполошки и ги натрупа околу логорот на еден ден пат од едната страна и на еден ден пат од другата страна околу логорот, речиси до два лакта од земјата.
32. Се крена народот, и целиот оној ден и цела нок и целиот иден ден се собираа потполошки; и оној, кој малку собираше, и тоја набра десет гомери: и си ги наредија околу логорот да се сушат.
33. Месото беше уште во нивните заби и уште не беше изедено, и се разгоре гневот Господов против народот, и Господ го порази народот со мошне голем пораз.
34. И го нарекоа тоа место: гробишта на алчноста, зашто таму го погребаа народот, што се покажа алчен.
35. И се кренаа лу ето од гробиштата на алчноста, па појдоа за Асирот, и во Асирот се сместија.

Глава 12

1. Тогаш Маријам и Арон го прекоруваа Мојсеја поради жената Етиопјанка, што ја беше зел, зашто тој се беше оженил со Етиопјанка;
2. и рекоа: 'Само на Мојсеја ли му зборува Господ? Не ни говореше ли Он и нам?' И Господ го чу тоа.
3. А Мојсеј беше најкроткиот човек ме у сите лу е на земјата.
4. И им рече Господ веднаш на Мојсеја, Арона и на Маријам: 'Излезете вие тројца пред скинијата на сведоштвото!' Тие излегоа и тројцата.
5. И слезе Господ во облаков столб, застана при влезот од скинијата на сведоштвото, па го повика Арона и Маријам, и тие излегоа и двајцата.
6. И рече: 'Чујте ги Моиве зборови: ако ме у вас има пророк Господов, Јас му се откривам во видение, на сон говорам со него;
7. не е така, ме утоа со Мојот слуга Мојсеј, - тој е верен на целиот Мој дом:
8. Јас говорам со него уста со уста, и јавно, а не преку гатање, и тој ја виде славата Господова; а вие како не се исплашивте да го прекорувате Мојот слуга Мојсеја?'
9. И се разгори гневот на Господа против нив, и Он си отиде.
10. Се повлече и облакот од скинијата, и ете, Маријам беше прокажена со лепра, бела како снег. Арон ја погледна Маријам, и, ете, таа е лепрозна.
11. И му рече Арон на Мојсеја: 'Помоли Го Господа ова да не ни го смета за грев, бидејки не знаевме дака погрешивме;
12. не оставај таа да остане како мртвородено младенче, чие тело, кога излегува од мајкината утроба, до половина веке е гнило.'
13. И се обрна Мојсеј кон Господа, велејки: 'Боже, Ти се молам, исцели ја.'
14. Му рече Господ на Мојсеја: 'Ако татко и‘ ја беше плукал во лице, не ке требаше ли таа да се срамува седум дена! И така, таа да биде затворена седум дена надвор од населбата, а потоа пак да се врати.'
15. И се одлучи Маријам да биде затворена надвор од логорот седум дена, и народот не тргна на пат, додека таа не се врати.

Глава 13

1. Потоа народот тргна од Асирот и се размести во шатори, во пустињата Фаран.
2. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
3. 'Испрати од себе лу е да ја разгледаат Ханански ата земја, која Јас им ја давам на синовите Израилеви во владение: по еден човек од секое племе според домовите нивни; испрати ги сите нивни старешини!'
4. Тогаш Мојсеј ги испрати од пустињата Фаран, по заповед Господова, и тие сите беа мажи, старешини на синовите Израилеви.
5. Еве ги имињата нивни: од Рувимовото племе - Самуил, Захуровиот син;
6. од Симеоновот племе - Сафат, Суриевиот син;
7. од Јудиното племе - Халев, Јефониевиот син;
8. од Исахаровото племе - Игал, Јосифовиот син;
9. од Ефремовото племе Авсис Навиновиот син;
10. од Венијаминовото племе - Фалтиј, Рафувовиот син;
11. од Завулоновото племе - Гудиил, Судиевиот син;
12. од Јосифовото племе на синовите Манасиини - Гадиј, Сусиновиот син;
13. од Дановото племе - Амиил, синот на Гамалин;
14. од Асировото племе - Сатур, Михаиловиот син;
15. од Нефталимовото племе - Навиј, Савиновиот син;
16. од Гадовото племе - Гудиил, Махиловиот син.
17. Тоа се имињата на мажите, што ги испрати Мојсеј да ја разгледаат земјата. И го нарече Мојсеј Осија, Навиновиот син, Исус.
18. Ги испрати Мојсеј од пустињата Фаран, за да ја разгледаат Хананската земја и им рече: 'Одете во онаа пустиња и качете се на горага,
19. и погледајте ја земјата каква е, и народот, што живее таму: силен ли е или е слаб, малуброен ли е или е многуброен;
20. и каква е земјата, каде што живее тој, добра ли е или лоша; и какви се градовите, во кои живее, - оградени ли се или не.
21. Каква е земјата, плодна ли е или не, има ли на неа дрвја или нема? Поткрепете се, па земете од плодовите на земјата.' А тоа беше во пролет кога зреат јагодите.
22. Тие отидоа и ја разгледаа земјата од пустињата Син дури до Роов, близу до Емат;
23. и одејки по пустињата, тие стигнаа до Хеврон, каде што живееја Ахиман, Сесиј, и Теламин, од родот на Енах; а Хеврон беше изграден седум години порано од египетскиот град Танин;
24. и дојдоа до долината со лозја и ја разгледаа, и таму видоа прачка со еден грозд, ја пресекоа и обајцата ја понесоа на стап; зедоа и калинки и смокви;
25. тие го нарекоа тоа место лозова долина поради гроздот што го пресекоа таму синовите Израилеви.
26. И откако ја разгледаа земјата, се вратија по четириесет дена.
27. И кога пристигнаа и дојдоа кај Мојсеја и Арона и кај целото општество на синовите Израилеви во пустињата Фаран, во Кадес, тие му донесоа таму и на целиот народ одговор, и им ги покажаа плодовите од онаа земја;
28. и му раскажаа и рекоа: 'Бевме во земјата, во која не‘ испрати; во земјата каде што тече мед и млеко, и еве ги плодовите нејзини;
29. но народот, што живее во таа земја, е силен, и градовите се укрепени со големи огради; таму го видовме и родот Енахов.
30. Амалик живее во јужниот дел на земјата, а Хетејците, Евејците, Јевусејците и Аморејците живеат по планината, Хананејците, пак, жиевеат крај морето и по брегот на Јордан.'
31. Но Халев го успокојуваше народот пред Мојсеја, велејки: 'Да идеме и да ја преземеме, зашто можеме да ја завладееме!'
32. А оние, што беа оделе заедно со него, рекоа: 'Не можеме да одиме против тој народ, зашто

е посилен од нас.'
33. И протурија ужасни гласови ме у синовите Израилеви за земјата, што ја беа разгледале и велеа: 'Земјата што ја изодивме, за да ја разледаме, е земја, која ги голта своите жители, и сите, што ги видовме на неа, се многу поголеми.
34. И таму видовме исполини, од родот Енахов; ние изгледавме пред нив како скакулци, такви бевме и во нивните очи.'

Глава 14

1. Тогаш целиот народ почна да вика и плачеше целата таа нок;
2. и сите синови Израилеви роптаа против Мојсеја и Арона, и целиот народ им велеше: 'О, да бевме умреле во Египетската земја, или да бевме изумреле во оваа пустиња!
3. И зошто Господ не‘ води во таа земја, за да паднеме во борба! Жените наши и децата наши ке станат плен; не е ли подобро да се вратиме во Египет.'
4. Па си велеа едни на други: 'Да си избереме старешина, и да се вратиме во Египет.'
5. Тогаш Мојсеј и Арон паднаа ничкум пред целото собрание на Израиловите синови.
6. И Исус, синот Навинов, и Халев, Синот Јефониев, ме у оние, што ја беа разгледале земјата, ги раскинаа облеките свои
7. и им рекоа на сите собрани синови Израилеви: 'Земјата, што ја изодивме, за да ја разгледаме, е многу, многу добра.
8. Ако Господ не‘ сака, ке не‘ воведе во неа и ке ни ја даде - таа земја, каде што тече мед и млеко;
9. но не отстапувајте од Господа и не плашете се од народот на таа земја; зашто Он ке ни биде потпора наша; тие немаат заштита, а со нас е Господ; не плашете се од нив.'
10. И целото собрание рече: 'Да ги убиеме со камења!' Но славата Господова се јави во облак над скинијата на сведоштвото пред сите синовите Израилеви.
11. И му рече Господ на Мојсеја: 'До кога ке Ме огорчува овој народ, и до кога нема да Ми верува и покрај сите знаци, што ги извршив Јас ме у него?
12. Ке го поразам со смрт, ке го истребам, и ке создадам од тебе и од домот на таткото твој народ многуброен и посилен од овој.'
13. Но Мојсеј Му рече на Господа: 'Ке чујат Египтјаните, од чија средина Ти со силата Своја го изведе овој народ,
14. но чуја за тоа и жителите на оваа земја, дека Ти, Господи, си ме у овој народ, и дека Ти, Господи, им се јавуваш како лице во лице, и Товојот облак стои над нив, и ти одиш пред нив дење во облаков столб, а ноке во огнен столб;
15. па, ако Ти го истребиш овој народ до еден човек, тогаш сите оние што ја чуја славата Твоја, ке речат:
16. ‘Господ не може да го воведе овој народ во земјата, која со клетва му ја вети, па затоа го погуби во пустињата.‘
17. И така, нека се возвеличи силата Твоја, Господи, како што рече, велејки:
18. ‘Господ е долготрпелив и многумилостив и вистинит, Кој ги простува беззаконијата и неправдите, и гревовите, и не остава без казна, а за беззаконијата на татковците ги казнува децата дури до третото и четвртото колено.
19. Прости им го гревот на овие лу е поради Твојата преголема милосрдност, како што си му простувал на овој народ од Египет до тука.'
20. И му рече Господ на Мојсеја: 'Простувам според зборот твој;
21. но жив сум Јас, и секогаш ке живее името Мое, и целата земја ке се исполни со славата Господова:
22. бидејки оние лу е, што ја видоа славата Моја и делата Мои, што ги извршив во Египет и во пустињата, и Ме искушуваа веке десетпати, и не го послушаа гласот Мој,
23. нема да ја видат земјата, која со клетва им ја ветив на татковците нивни; само на децата нивни, кои се тука со Мене, кои не знаат, што е добро, што е лошо, на сите малолетни, кои ништо не разбираат, ним ке им ја дадам земјата, а сите оние што Ме огорчуваа, нема да ја видат;
24. но Мојот слуга Халев, поради тоа што во него имаше друг дух, и затоа што Ми беше наполно верен, него ке го воведам во земјата, во која тој отиде, и неговото потомство ке ја наследи.
25. Амаликијците и Хананејците живеат во долината; затоа утре вратете се и одете во

пустињата кон Црвено Море!'
26. И им рече Господ на Мојсеја и на Арона, велејки:
27. 'До кога овој лош народ ке негодува против Мене? Јас го слушам негодувањето на синовите Израилеви, што ги упатуваат против Мене.
28. Кажи им: жив сум Јас, вели Господ: како што вие Ми говоревте во ушите Мои, така ке ви направам и Јас вам;
29. во оваа пустиња ке паднат телата ваши, и сите вие пребροени, колку што сте на број, од дваесет години и нагоре, што роптате против Мене,
30. нема да влезете во земјата, во која Јас со кренатa рака решив да ве населам, освен Халев, Јофониевиот син, и Исус, Навиновиот син;
31. децата ваши, за кои велевте, дека ке станат плен, ке ги воведам таму, и тие ке ја познаат земјата, која вие ја презревте;
32. а вашите трупови ке паднат во оваа пустиња;
33. синовите ваши, пак, ке скитаат по пустињата четириесет години и ке страдаат, носејки го вашиот грев се‘ додека не загинат телата ваши во пустињава;
34. според бројот на четириесет дена, во кои ја разгледувавте земјата, вие ке стредате за гревовите ваши четириесет години, година за ден, па да ја разберете јароста на Мојот гнев.
35. Јас, Господ, ви велам, невистина така и ке постапам со сиов овој народ, востанат против Мене: во оваа пустиња сите ке се истребат и ке изумрат.'
36. И оние, кои Мојсеј ги испрати да ја разгледаат земјата и, кои по вракањето свое, возроптаа пред сиов овој народ, ширејки лоши гласови за земјата,
37. оние, што ширеа лоши гласови за земјата, умреа, празени пред Господа;
38. само Иисус, синот Навинов, и Халев, синот Јефониев, останаа живи од оние мажи, што беа отишле да ја разгледаат земјата.
39. Откога ги кажа Мојсеј тие зборови пред сите синови Израилеви, народот се расплака.
40. И кога станаа рано утредента, се искачија на врвот од планината, велејки: 'Ете, ке отидеме на она место, за кое Господ рече, бидејки згрешивме.'
41. Но Мојсеј рече: 'Зошто не ја исполнивте заповедта Господова? Нема да успеете:
42. не одете горе, оти Господ не е ме у вас; и ке паднете од непријателите ваши,
43. бидејки таму пред нас си Амаликијците и Хананејците, и ке паднете од нож, зашто не Му се покоривте на Господа, и Господ нема да биде со вас.'
44. Но тие решија и се искачија на врвот од планината; а ковчегот на заветот Господов и Мојсеј не се одделија од логорот.
45. Амаликијците и Хананејците, што живееја на онаа планина, ги сопреа и ги гонеа дури до Ермон и се вратија во логорот.

Глава 15

1. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
2. 'Кажи им на синовите Израилеви и речи им: ‘Кога ке влазете во земјата, во која ке живеете и која ви ја давам,
3. и почнете да принесувате на Господа сепаленици, или жртви заклани, или по завет, или од сесрдност, или во текот на празниците ваши, нека биде со пријатен мирис пред Господа, тоа да биде жртва од стадата на говедата или од овците ваши;‘
4. тогаш оној, кој ја принесува жртвата на Господа, треба да принесе и дар принос на Господа од една десетина ефа пченично брашно, измешано со четврт ин елеј;
5. и вино за прелив принесувај по чеврт ин за сепаленица, или приклана жртва: по едно јагне за благопријатен мирис пред Господа.
6. И овен кога принесувате за сепаленица, принесувајте и жртва, принос две десетини ефа пченично брашно, измешано со една третина ин елеј;
7. и вино за прелив принеси една третина ин за благопријатен мирис пред Господа.
8. Ако принесувате сепаленица од говедата, или клана жртва, за да ти е молитвата поусрдна пред Господа, или жртва за спасение,
9. тогаш заедно со телето принесете и принос три десетини ефа пченично брашно, измешано со половина ин елеј,
10. и вино за прелив принесете половина ин како жртва, за благопријатен мирис пред Господа.
11. Така прави при секој принос на теле, на овен, и на јагне од овците или од козите;
12. според бројот на жртвите, што ги принесувате, така правете при секоја од нив, според бројот нивни.
13. Секој тукашен така треба да прави, кога сево ова го принесува како жртва за благопријатен мирис пред Господа;
14. и кога ме у вас има придојден или кој и да било ме у вас во редовите ваши, и принесе жртва за благопријатен мирис пред Господа, и тој треба да прави така, као што правите вие;
15. за вас, народот Господов, и за придојдениот, кој живее ме у вас, наредбата да биде една, наредбата вечна во редовите ваши: што сте вие, тоа да биде и придојдениот пред Господа;
16. еден закон и еднакви права да бидат за вас и за придојдениот, кој живее ме у вас.'
17. Му рече уште Господ на Мојсеја, велејки:
18. 'Кажи им на синовите Израилеви и речи им: кога ке влезете во земјата, во која ве водам,
19. и ке почнете да јадете леб од таа земја, оставете и дел за Господа;
20. од првините на тестото принесете; леб принесете од гумното.
21. Така одвојувајте го лебот, првина на тестото ваше и принесувајте Му на Господа во родовите ваши.
22. Ако погрешите и не ги исполнувате сите тие заповеди, кои Господ му ги кажа на Мојсеја,
23. се‘ она, што ви заповеда Господ Бог преку Мојсеја, од денот, кога Господ ви заповеал, и за во иднината во родовите ваши,-
24. ако грешката е направена неволно од народот, тогаш целото општество нека принесе едно теле без недостаток за сепаленица, за благопријатен мирис на Господа, заедно со тоа и принос за прелив, според наредбите, и едно јаре од козите - жртва за грев.
25. И свештеникот да се помоли за целото општество на синовите Израилеви, и ке им се прости, зашто тоа било грешка, и тие принеле свој дар на Господа, жртва за грев пред Господа, поради своето незнаење.
26. И ке му биде простено на целото општество на синовите Израилеви и на придојдениот, кои живее ме у нив, зашто целиот народ го направил тоа поради незнаење.
27. Ако некој сам згреши поради несакање, нека принесе едногодишна коза заради својот грев.
28. И свештеникот да се помоли за таа душа, која не сакајки направила пред Господа грев, и таа ке биде очистена и ке и‘ биде простено.

29. Еден закон да биде за вас, како за жителите од синовите Израилеви, така и за
придојдениот, кој живее ме у вас, кога некој ке погреши не сакајки.
30. Ако некој од тукашните или придојдените изврши нешто со дрска рака, тој хули на
Господа; да се истреби таа душа од народот свој,
31. зашто тој го презрел зборот на Господа и ја нарушил заповедта Негова, да биде истребена
таа душа; гревот нејзин да биде врз неа.'
32. Кога синовите Израилеви беа во пустињата, најдоа еден, како собира дрва во саботен ден;
33. и оние, што го најдоа, како собира дрва во саботен ден, го приведоа кај Мојсеја и Арона и
кај целото општество на синовите Израилеви;
34. и го затворија, бидејки уште не беше решено, што да се прави со него.
35. И му рече Господ на Мојсеја: 'Тој човек треба да умре; целото општество да го убие со
камења надвор од населбата.'
36. Тогаш целото општество го изведе надвор од населбата, и го убија со камења, и тој умре,
како што му заповеда Господ на Мојсеја.
37. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
38. 'Објави им на синовите Израилеви и кажи им да си прават реси по полите на своите облеки
во поколенијата свои, и во ресите, што се по полите, да влегуваат нишки од сина пре а,
39. и тие да ви бидат на ресите, па, кога ги гледате, да се спомните на сите заповеди
Господови и да ги извршувате и да не се развратувате по срцето свое и очите ваши, со кои се
заблудувате.
40. Да ги помните и извршувате сите Мои заповеди и да бидете свети пред вашиот Бог.
41. Јас сум Господ, Бог ваш, Кој ве изведе од Египетската земја, за да ви бидам Бог. Јас сум
Господ, Бог ваш.'

Глава 16

1. Кореј, синот на Исар, синот Каатов, синот Левиев, Датан и Авирон, синовите на Елиав, и Авнан, синот на Фалет, синови Рувимови,
2. востанаа против Мојсеја заедно со двесте и педесет мажи од синовите Израилеви, началници на народот, повикувани на собранието, мажи познати.
3. И се собраа против Мојсеја и Арона и им рекоа: 'Доста ви е толку; целото општество, сите се свети, и ме у нив е Господ! А вие зошто се поставувате погоре од народот Господов?'
4. Кога го чу тоа, Мојсеј падна ничкум
5. и му кажа на Кореја и на сите негови соученици, велејќи: 'Утре ке покаже Господ, кој е Негов, и кој е свет, за да го приближи кон Себеси; и кого Он ке го избере, него и ке го доближи до Себеси.
6. Еве што ке направи: Кореј и сите негови соучесници, земете си ги кадилниците
7. и утре ставете во нив оган и сипете во нив темјан пред Господа; кого Господ ке го избере, тој и ке биде свет. Доста ви е толку Левиеви синови!'
8. И му рече Мојсеј на Кореја: 'Чујте Левиеви синови!
9. Малку ли ви е тоа, што Бог Израилев ве оддели од Израилевото општество и ве приближи кон Себеси, за да служите при скинијата Господова и да стоите пред народот Господов, служејќи за нив?
10. Он те приближи тебе и заедно со тебе сите твои брака, Левиеви синови, а вие барате уште и да свештенодејствувате.
11. И така, ти и целата твоја дружина сте се собрале против Господа. Што е Арон, па негодувате против него?
12. Мојсеј исprати да го повикаат Датана и Авирона, Елиавовите синови. Но тие рекоа: 'Нема да одиме!
13. Малку ли ти беше, што не‘ изведе од земјата, каде што тече мад и млеко, за да не‘ погубиш во пустињата, а сакаш уште и да господариш над нас; си станал кнез.
14. Не‘ воведе ли во земјата, каде што тече мед и млеко, и ни даде ли да владееме ниви и лозја, или сакаш да им ги изведиш очите на тие лу е? Нема да одиме!'
15. Мојсеј се јадоса многу, и Му рече на Господа: 'Не свртувај го погледот Свој кон нивниот принос; на никого од нив не сум му зел осел, никому од нив не сум му направил зло.'
16. И му рече Мојсеј на Кореја: 'Утре ти и целиот твој народ застанете пред лицето Господово, ти и Арон, и другите,
17. па секој нека ја земе кадилницата своја, и ставете во нив темјан, и донесете ја пред лицето Господово секој својата кадилница - двесте и педесет кадилници; и ти и Арон, секој својата кадилница.'
18. И сите ги зедоа своите кадилници, ставија во нив оган, ставија во нив темјан, и застанаа при влезот од скинијата на сведоштовото; исто така и Мојсеј и Арон.
19. И Кореј ги собра против нив целото општество при влезот од скинијата на сведоштвото. И славата Господова се јави пред целото општество.
20. И им рече Господ на Мојсеја и Арона, велејќи:
21. 'Секој од вас нека се истави од тие лу е, и во еден миг ке ги истребам.'
22. А тие паднаа ничкум и рекоа: 'Боже, Боже на духовите и на секоја плот! Еден човек згреши, а Ти на целото општество ли се гневиш?'
23. И му рече Господ на Мојсеја, велејќи:
24. 'Кажи му на народот: отстапете наоколу од живеалиштата на Кореја, Датана и Авирона!'
25. И стана Мојсеј и отиде кај Датана и Авирона, и по него отидоа и старешините Израилеви.
26. И му рече на народот: 'Тргнете со од шаторите на тие лу е со жестоко срце и не се допирајте до ништо нивно, за да не загинете заедно со нив во сите нивни гревови!'
27. Тие се тргнаа наоколу од живеалиштата на Кореја, Датана и Авирона; а Датан и Авирон излегоа и застанаа пред вратите на шаторите свои и жените нивни, и децата нивни, и стоката

нивна!
28. Тогаш Мојсеј рече: 'Во ова ке познаете, дека Господ ме испрати да ги извршам сите овие дела, а не го правам тоа сам од себеси.
29. Ако умрат тие, како што умираат сите лу е, и ги стигне таква казна, каква што ги стигнува сите лу е, тоа тогаш Господ не ме пратил;
30. но, ако Господ изврши нешто необично, и земјата ја отвори устата и ги голтне и домовите нивни, и куките нивни и се‘ што има кај нив, и тие слезат живи во адот, тогаш уверете се, дека овие лу е Го разгневиле Господа.'
31. Штом ги изговори тие зборови, земјата се распука под нивните нозе,
32. и земјата ја отвори устата своја и ги голтна нив и домовите нивни, и сите лу е заедно со Кореја и добитокот нивни,
33. и тие слегоа живи во адот со се‘ што беше нивно, и земјата го покри, и нив ги снема од средината на општеството.
34. Сите Израилци, што беа околу нив, се разбегаа од нивното викање, за да не не‘ голтне, велеа тие, и нас - земјата.
35. Оган излезе од Господа и ги изгори оние двесте и педесет мажи, што беа принеле темјан.
36. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
37. 'Кажи му на Елеазара, синот на свештеникот Арон, да ги собере бакарните кадилници на изгорените и ту иот оган да го исфрли, бидејки се осветија преку нивната смрт,
38. и да се сплескаат како листови за оковување на жртвеникот, зашто тие ги донесоа пред лицето Господово, а затоа се осветија; и тие ке бидат опомена за синовите Израилеви.'
39. Тогаш Елеазар, синот на свештеникот Арон, ги зеде бакарните кадилници, што ги беа донеле изгорените, и ги сплеска на листови за оковување на жртвеникот,
40. за да помнат синовите Израилеви, па никој надворешен, кој не е од Ароновото семе, да не принесува темјан пред Господа, за да не стане и со него она, што стана со Кореја и соучесниците негови, како што му беше рекол Господ преку Мојсеја.
41. На вториот ден целото општество на синовите Израилеви возропта против Мојсеја и Арона и рече: 'Вие го уништивте народот Господов.'
42. И кога се собра народот, нападна на Мојсеја и на Арона, тие погледаа кон скинијата на сведоштвото,
43. и ете, ја покри облак, и славата Господова се јави. И влегоа Мојсеј и Арон во скинијата на сведоштвото.
44. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
45. 'Отстранете се од тоа општество и Јас во еден миг ке ги погубам!' Но тие паднаа на колена.
46. И му рече Мојсеј на Арона: 'Земи ја кадилницата, стави во неа оган од жртвеникот, сипи темјан и носи го тоа што поскоро кај народот и помоли се за нив, зашто гнев излезе од лицето на Господа, и почна да ги погубува лу ето.
47. И зеде Арон, како што рече Мојсеј, и се најде кај народот, и ете почна помор ме у народот. И тој исипа темјан и се помоли за народот:
48. застана ме у мртвите и живите, и смртта престана.
49. Изумреа од поморот четиринаесет иљади и седумстотини души, освен умрените по делото на Кореја.
50. Тогаш Арон се врати кај Мојсеја, при влезот од скинијата на сведоштвото, откако престана поморот.

Глава 17

1. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
2. 'Кажи им на синовите Израилеви и земи од нив по еден жезал од колено, по еден жезал од
секој нивни кнез, дванаесет жезла, и името на секој напиши го на жезалот;
3. Ароновото име напиши го на Левиевиот жезал, зашто тие треба да дадат еден жезал,
според племето на нивниот род,
4. и стави ги во скинијата на сведоштвото, пред ковчегот на откровението, каде што ви се
јавувам;
5. и кого Јас ке го одберам, и неговиот жезал ке го расцутам; и така ке го отстранам ропотот
на синовите Израилеви, што го креваат против вас.'
6. И им рече Мојсеј на синовите Израилеви, и сите началници нивни им дадоа, од секој
началник по еден жезал, дванаесет жезла, според кнежествата свои и родовите нивни; и
Ароновиот жезал беше ме у жезлата нивни.
7. Тогаш Мојсеј ги постави жезлата пред лицето Господово во скинијата на сведоштвото.
8. На врориот ден влезе Мојсеј и Арон во скинијата на сведоштвото, и ете, Ароновиот жезал, од
Левиевиот дом, беше потерал, пуштил гранчиња, процутил и родил ореви.
9. И ги изнесе Мојсеј сите жезли од лицето Господово пред сите синови Израилеви; и тие го
видоа тоа и секој си го зеде својот жезал.
10. И му рече Господ на Мојсеја: 'Постави го пак Ароновиот жезал пред ковчегот на
откровението да се чува, како претсказание за непокорените, па ропотот против Мене да
престане и тие да не изумрат.'
11. И Мојсеј и Арон направија така, како што му заповеда Господ на Мојсеја, така направија.
12. И му рекоа синовите Израилеви на Мојсеја: 'Ете, ние се требиме, гинеме, исчезнуваме;
13. секој, што се приближува кон скинијата на сведоштвото Господово, умира: дали ке
изумреме така сите?'

Глава 18

1. И му рече Господ на Арона: 'Ти и синовите твои и татковиот ти дом заедно со тебе, понесете го врз себе гревот за немарноста во светилиштето; и ти и синовите твои заедно со тебе ке го понесете врз себеси гревот за свештенодејствието свое.
2. Земи ги кај себе браката твои, од племето Левиево од родот на таткото твој; нека бидат тие кај тебе и нека ти служат, а ти и синовите твои заедно со тебе бидете кај скинијата на сведоштвото;
3. и да пазат на тебе и на скинијата; само да не се доближуваат до светите сосуди и до жртвеникот, за да не умрете и вие, и тие.
4. Нека бидат тие при тебе и да ја чуваат скинијата на сведоштвото, и на сите работи во скинијата; а човек надворешен да не пристапува кон тебе.
5. Така пазете го светилиштето и жртвеникот, за да нема во иднина гнев против синовите Израилеви;
6. зашто вашите брака, левитите, Јас ги зедов ме у синовите Израилеви и ви ги дадов вам како дар што Му е даден на Господа, за да служат при скинијата на сведоштвото;
7. а ти и синовите твои заедно со тебе пазете го свештенството свое со се‘ што принадлежи на жртвеникот; Јас ви подарувам служба свештена, а надворешен кој ке се доближи, да биде убиен.'
8. И му рече Господ на Арона: 'Ете, Јас ти ги давам првините за возношение, од сите осветени дарови за Мене, додека од синовите Израилеви, тебе ти ги давам и на синовите твои преку вечна наредба.
9. Ова нека биде ваше: од Свјатаја Свјатих, од сите нивни дарови, од сите нивни жртви, и од се‘ поради престап, и од се‘ поради грев; од се‘ што Ми принесуваат Мене, од сите осветени дарови: тоа нека биде за тебе и за синовите твои.
10. Тоа да го јаде секој; од машки пол може да го јаде; тоа да ти беде свето.
11. И ова да биде ваше - од првините што се принесуваат, од се‘ што се вознесува од синовите Израилевни преку вечен закон ти го дадов тебе, и на синовите твои, и на керките твои заедно со тебе, секој чист во куката твоја може да јаде од тоа.
12. Секоја првина од елеј, секоја првина од вино и од пченицата, - сите првини, што тие Му ги принесуваат на Господа, твои да се;
13. и сите првини од плодовите на земјата нивна, што Му ги принесуваат на Господа, твои нека бидат; секој чист од куката твоја може да го јаде тоа.
14. Се‘ ште е осветено во земјата Израилева, да биде твое.
15. И се‘ она, што ја отвора утробата во секоја плот, а се принесува на Господа, од лу е и добиток, да биде твое: само првородените од лу ето се откупуваат за избавување, и првороденото од нечист добиток да биде откупено.
16. А откупот им е: кога ке почнеш од еден месец нагоре, според оценката твоја, земај откуп пет сикли сребрени, според свештената сикла, која има дваесет бакреници;
17. но за првороденото теле и за првороденото од овците и за првороденото од козите не земај откуп: тие се свети; со крвта нивна пороси го жртвеникот, а лојот принеси го како жртва за благопријатен мирис на Господа,
18. а месото нивно, пак, ти припа а тебе, како што ти припа аат градите за возношение и десната плешка.'
19. Сите вознесувани свети дарови кои синовите Израилеви Му ги принесуваат на Господа, преку вечно озаконување ти ги давам тебе и на синовите твои и на керките твои заедно со тебе; тоа е завет скап, вечен пред Господа, даден за тебе и за потомството твое заедно со тебе.
20. И му рече Господ на Арона: 'Од земјата нивна ке немаш наследство и дел нема да имаш ме у нив, бидејки Јас сум твојот дел и твоето наследство ме у синовите Израилеви.
21. А на Левиевите синови, ете, Јас им дадов како дел десеток од се‘, што има Израилот, за

службата нивна, што ја вршат во скинијата на сведоштвото.
22. И по сево ова синовите Израилеви да не пристапуваат до скинијата на сведоштвото, за да не згрешат и да не умрат.
23. Левиевите сами нека ја вршат службата во скинијата на сведоштвото и да го носат врз себе нивниот грев. Тоа е вечно озаконување во поколенијата ваши; но ме у синовите Израилеви тие нема да добиваат дел;
24. бидејки на левитите им го давам како дел десетокот од синовите Израилеви, кој тие го принесуваат за возношение пред Господа, затоа и им реков: ме у Израилевите синови тие нема да наследуваат дел.'
25. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
26. 'Кажи им на левитите и речи им: ‘кога го земате од синовите Израилеви десетокот, кој ви го дадов од нив во дел, затоа вознесувајте Му од него возношение на Господа, од десетокот десеток, -
27. и тоа веше возношение ке ви се прими како жито од гумното и како дел од течноста;
28. така и вие вознесувајте Му вознешение на Господа, од сите ваши десетоци, што ги земате од синовите Израилеви, и давајте го осветениот дар од нив за возношение Господово на свештеникот Арон.
29. Од се‘ што ви се дарува, принесувајте на Господа, од секоја првина што се осветува од него.‘
30. И кажи им: ‘кога ке принесувате жртви тоа ке им се смета за левитите каkодар од гумно и дел од течност.‘
31. Можете да го јадете тоа не секое место, вие и синовите ваши и домашните ваши, зашто тоа ви е награда за вашата служба во скинијата на сведоштвото;
32. и нема да погрешите ако ги принесувате првините од тоа; и не осквернувајте ги даровите за осветување од синовите Израилеви, за да не умрете.'

Глава 19

1. И им рече Господ на Мојсеја и Арона, велеки:
2. 'Еве ја наредбата на законот, што Господ ја заповеда, кога рече: јави им на синовите Израилеви да ти доведат јуница црвеникава, без повреда, без недостаток, и која не била впрегнувана;
3. дајте ја на свештеникот Елеазар, и да ја изведат надвор од населбата на чисто место, и да ја заколат пред него.
4. И нека зема свештеникот Елеазар од крвта нејзина и нека попрска од нејзината крв седумпати пред скинијата на сведоштвото.
5. И потоа да ја изгорат пред очите негови: и кожата нејзина, и месото нејзино, и крвта, а и нечистотиите нејзини - да ги изгорат.
6. И свештеникот да зема кедрово дрво, и исоп, и нишка од темноцрвена волна и да ги стави во средината на огнот каде што гори јуницата.
7. А свештеникот да ја испере облеката своја и да го измие телото свое со вода, а потоа да влезе во населбата, и свештеникот ке биде нечист до вечерта.
8. И оној, што ја изгорел, да ја испере облеката своја со вода, и да го измие телото свое со вода, и да биде нечист до вечерта.
9. А некој чист да ја собере пепелта од јуницата и да ја остави надвор од населбата на чисто место, и таа да се чува за општеството на синовите Израилеви, за приготвување очистителна вода.
10. А оној, пак, што ја собрал пепелта од јуницата, да ја испере облеката своја, и да биде нечист до вечерта. Тоа нека биде вечно озаконение за синовите Израилеви и за придојдените, што живеат ме у нив.
11. Оној што ке се допре до мртво тело на кој и да било човек, да биде нечист седум дена:
12. тој треба да се очисти со таа вода на третиот ден и на седмиот ден, и ке биде чист; ако, пак, не се очисти на третиот и седмиот ден, нема да биде чист.
13. Секој, што се допрел до мртво тело на кој и да било умрен човек и не се очистил, ке ја оскверни скинијата Господова; тој човек да се истреби од Израилот, зашто не е попрскан со вода за очистување, тој е нечист, нечистотата е се‘ уште на него.
14. Еве го законот: ако човек умре дома, тогаш секој, што ке влезе во домот, и се‘ што е во шаторот, да биде нечисто седум дена;
15. секој откриен сад, незаврзан и непокриен, е нечист.
16. Секој, што ке се допре в поле до ранет, или до умрен, или до човечка коска, или до гроб, да биде нечист седум дена.
17. За нечистиот да земат пепел од онаа изгорена жртва за очистување и да сипаат над неа изворска вода во сад.
18. И некој чист нека зема исоп и нека го потопи во вода и да го попрска домот и сите садови и лу е, што ке се најдат таму, и оној, што се допрел до човечка коска, или до ранет, или до умрен, или до гроб;
19. и чистиот да го попрска нечистиот на третиот и седмиот ден и во седмиот ден тој ке се очисти; и да ја испере облеката своја, и да го измие телото свое со вода, и нечист ке биде до вечерта.
20. Ако некој се оскверни и не се очисти, тој човек да се истеби од народот, зашто тој го осквернил светилиштето Господово: тој не е испрскан со вода за попрскување, нечист е.
21. Тоа нека ви биде вечна наредба. И оној, кој прска со вода за попрскување да ја испере облеката своја; и оној кој се допрел до вода за попрскување, да биде нечист до вечерта.
22. И се‘, до што ке се допре нечистиот, да биде нечисто, и човек кој се допрел, ке биде нечист до вечерта.'

Глава 20

1. Тогаш синовите Израилеви, целото општество, дојдоа во пустињата Син во првиот месец, и народот се задржа во Кадес; таму умре Маријам, каде што беше и погребана.
2. За народот немаше вода, и тие застанаа пред Мојсеја и Арона;
3. и роптаа против Мојсеја и велеа: 'О, да бевма умреле и ние тогаш, кога умреа нашите брака пред Господа!
4. Зошто го доведовте народот Господов во оваа пустиња, па да изумреме тука ние и добитокот наш?
5. И зошто не‘ изведовте од Египет, па не‘ доведовте на ова лошо место, каде што не може да се сее, каде што нема ни смокви, ни лозја, ни јаболка, дури ни вода за пиење?'
6. Тогаш Мојсеј и Арон се повлекоа од народот, кон влезот од скинијата на сведоштвото, и паднаа ничкум, и им се јави славата Господова.
7. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
8. 'Земи го жезалот свој и собери го народот, ти и братот твој Арон, и пред очите нивни кажете и‘ на карпата пред нив и таа ке пушти од себе вода: и така, ти ке им дадеш вода од карпата и ке го напоиш народот и добитокот негов.'
9. Го зеде Мојсеј жезалот што е пред Господа, како што му заповеда Он.
10. И го собраа Мојсеј и Арон народот кај карпата и тој им рече: Чујте ме, непокорници, зар може од оваа карпа да ви извадиме вода?'
11. И ја крена Мојсеј раката своја и удри двапати на карпата со жезалот свој, и потече многу вода, и народот се напи, а и добитокот негов.
12. И им рече Господ на Мојсеја и Арона: 'Поради тоа што не Ми поверувавте, и не ја пројавивте Мојата светост пред очите на синовите Израилеви, вие нема да го воведете тој народ во земјата, која Јас му ја давам.'
13. Тоа е водата кај која синовите Израилеви возроптаа пред Господа, и Он се освети пред нив,
14. и испрати Мојсеј пратеници од Кадес до едомскиот цар за да му кажат: 'Вака вели братот твој Израил: ти ги знаеш сите тешкотии, што не‘ снајдоа;
15. татковците наши слегоа во Египет, и ние живеевме во Египет долго време, и Египтјаните лошо постапуваа со нас и со татковците наши;
16. и повикавме кон Господа, и Он го чу нашиот глас, па испрати Ангел, и не‘ изведе од Египет; и ете, ние сме сега во Кадес, град до самите твои предели.
17. Дозволи ни да минеме преку твојата земја: нема да одиме преку села, ниту преку лозја, и нема да пиеме вода од потоците твои: туку ке одиме по царскиот пат, и нема да скршнуваме ни десно, ни лево, додека да ги менеме твоите предели.'
18. Но Едом им рече: 'Не минувај преку мене, зашто со војската ке излезам против тебе.'
19. И му рекоа синовите Израилеви: 'Ке одиме покрај горатa, и ако пиеме од водата твоја, јас и добитокот мој, ке платиме за неа; но нема да има никаква штете, зашто покрај горатa ке минеме.'
20. Но тој рече: 'Не минувај преку мене!' И Едом излезе против него со многуброен народ и со силна рака.
21. И така, Едом не се согласи да му дозволи на Израилот да мине преку неговите предели. И Израил се повлече од него.
22. И се кренаа синовите Израилеви од Кадес, и целиот народ стигна до планината Ор.
23. И им рече Господ на Мојсеја и Арона на планината Ор, близу до пределите на Едомската замја, велејки:
24. 'Нека умре Арон при народот свој, зашто тој нема да велзе во земјата, која Јас им ја давам на синовите Израилеви, затоа што Ме огорчивте кај водата на расправија.
25. И земи го братот твој Арона и синот негов Елеазар, и искачи ги на планината Ор пред целиот народ;
26. и соблечи ја од Арона облеката негова и облечи го со неа синот негов Елеазар, и нека

замине Арон и нека умре таму!'
27. И направи Мојсеј така, како што заповеда Господ. Тие се искачија на планината Ор пред очите на целото општество,
28. и ја соблече Мојсеј облеката од Арона и го облече со неа синот негов Елеазар. И умре таму Арон на врвот од планината, А Мојсеј и Елеазар слегоа од планината.
29. И целото општество виде дека Арон умре, целиот Израилев дом плачеше по Арона триесет дена.

Глава 21

1. Еден од ханаските цареви, - царот на Арад, кој живееше на југ, кога чу, дека Израилот доа а по патот од кај Атарим, стапи во борба против Израилците и зароби неколкумина од нив.
2. и се заветува Израилот пред Господа, и рече: 'Ако го предадеш овој народ во рацете мои, ке ги истребам градовите нивни, ке ги уништам.'
3. Господ го чу гласот на Израилот и ги предаде Хананејците во рацете негови, и тој победи и градовите негови ги опусти, и тоа место го нарече: запустение.
4. Од планината Ор тие тргнаа кон Црвено Море, за да ја заобиколат земјата на Едом. И по патот народот падна со духот;
5. и возроптаа лу ето против Бога и против Мојсеја: 'Зошто не‘ изведе од Египет, па да умреме во пустињава: тука нема ни леб, ни вода, а во душата ни омрзна таа лоша храна?'
6. и испрати Господ против народот отровни змии, кои го касаа народот, и многу лу е изумреа од синовите Израилеви.
7. И дојде народот при Мојсеја и рече: 'Згрешивме кога се пубунивме против Господа и против тебе; помоли Му се на Гсопдоа да ги отстрани од нас змиите.' И Мојсеј Му се помоли на Господа за народот.
8. И му рече Господ на Мојсеј: 'Направи бакарна змија и закачи ја на знаме како знак, и ако касне некого змија, каснатиот, штом ке ја погледне, ке остане жив.'
9. И направи Мојсеј бакарна змија и ја закачи на знамето како знак, и кога некоја змија ке каснеше некој човек, тој штом ке ја погледнеше бакарната змија, остануваше жив.
10. И тргнаа синовите Израилеви и се задржаа во Овот;
11. се кренаа и од Овот, и застанаа во Ахалагеј, спроти пустињата Моав, која е на исток.
12. Оттаму тргнаа и дојдоа во долината Заред;
13. оттука, кога тргнаа, се задржаа во оној дел од страната на Арнон, кој тече од пределите на Амореја, бидејки Арнон е границата на Моав, ме у Моав и Амореја.
14. Затоа е и речено во книгата за војните Господови: ‘го уништи Зоов, и потокот Арнон.‘
15. И по потокот ја изгради населбата Ир, која му припа а на Моав.
16. Оттука тргнаа кон еден извор, а тоа е оној кладенец, за кој Господ му рече на Мојсеја: ‘собери го народот и ке им дадам вода.‘
17. Тогаш Израилот ја запеа песната: ‘извирај, кладенец!‘
18. Пејте за кладенецот што го ископаа кнезовите, а народните водачи заедно со законодавецот го разрушија со жезлата свои. И од кладенецот тргнаа кон Мантанаил.
19. Од Мантанаил во Наадил, од Наадил, во Вамот,
20. а од Вамот за Напин, кој е во Моавската земја, од пресечениот врв, свртен со лицето кон пустињата.
21. И ги прати Мојсеј пратениците при Сион, аморејскиот, со предлог за мир, и да му кажат:
22. 'Дозвои ни да минеме преку твојата земја; ке одиме по патот, нема да навлегуваме ни во селата, ни во лозјата, и нема а пиеме вода од твоите кладенци, а ке одиме по царскиот пат, додека да ги менеме пределите твои.'
23. Но Сион не му дозволи на Израила да мине преку пределите негови; и го собра Сион целиот свој народ и излезе против Израилот во пустињата, и стигна до Јасан и се судри со Израилот.
24. И го порази Израил со меч и завладеа со земјата негова од Арнон до Јавок, дури до Аминовите синови, бидејки Јазир е амонитски предел.
25. И ги зазеде Израил сите тие градови, и се насели Израилот во сите аморејски градови, во Есевон и во сите нему потчинети;
26. зашто Есевон беше град на аморејскиот цар Сион, кој војуваше против поранешниот моавски цар и ја беше одзел од рацете негови целата земја негова од Ароир дури до Арнон.
27. Затоа велат писателите: дојдете во Есевон, нека се изгради и утврди градот Сион;
28. бидејки оган излезе од Есевон, пламен од градот Сионов и изгоре дури до Моав и ги

проголта столбовите арнаитски.
29. Тешко тебе, Моаве, изгинаа лу ето Хамосови, синовите негови ги заробија, и керките му станаа робинки на аморејскиот цар Сион.
30. И семето нивно се затре од Есевон дури до Девон, и жените нивни, кои изгореа од оган кај Моав.
31. И се насели Израилот во Аморејската земја.
32. И испрати Мојсеј да го разгледаат Фазир, па го заседоа него и селата негови, и ги изгонија Аморејците што живееја таму.
33. Тогаш се повратија и појдоа кон Васан. И излезе против нив васанскиот цар Ог, самиот тој и целиот народ негов, за да се судри со нив кај Едраин.
34. И му рече Господ на Мојсеја: 'Не бој се од него, зашто Јас ке ти го предадам во рацете твои наго и целиот народ негов и целата земја негова, и ке постапиш со него, онака како што постапи со аморејскиот цар Сион, кој живееше во Есевон.'
35. И го порази него и синовите негови и целиот народ негов, така што ниеден од нив не остана жив; и ја наследија земјата негова.

Глава 22

1. Тогаш синовите Израилеви тргнаа и се задржаа на запад од Моав, кај Јордан спроти Јерихон.
2. И Валак, синот Сепфоров, виде се‘ што им беше направил Израилот на Аморејците.
3. И Моавците многу се уплашија од тој народ, бидејки беше многуброен; затоа тие многу се уплашија од синовите Израилеви.
4. Тогаш Моавците им рекоа на Мадијамските старешини: 'Овој народ сега истебува се‘ околу нас, како што телињата ја изедуваа полската трева.' А Валак, синот Сепфоров, беше моавитски цар во тоа време.
5. Тој испрати пратеници при Валаам, синот Веоров во Фадур, крај реката во земјата на синовите на неговиот народ, да го повикаат и да му кажат: ‘Ете, овие лу е дојдоа од Египет и го покрија лицето земно, и сега се сместени во моето владение.
6. Па дојди и проколни ми го тој народ, бидејки се посилни од мене: тогаш можеби ке бидам во состојба да ги поразам и да ги изгонам од земјата моја; бидејки знам, дека кого ке го благословиш ти, тој е благословен, и кого ке го проколнеш, тој е проколнат.‘
7. И отидоа моавските старешини и старешините Мадијамски со подароци во рацете и дојдоа при Валаам и му ги соопштија Валаковите зборови.
8. И тој им рече: 'Пренокевајте нокеска овде, и јас ке ви одговорам што да правите, онака како што ке ми рече Господ.' И моавските старешини останаа кај Валаама.
9. И дојде Бог при Валаам и му рече: 'Кои се оние лу е кај тебе?'
10. Валаам Му одговори на Бога: 'Моавскиот цар Валак, синот Сепфоров ги испратил при мене да кажат:
11. ‘ете, лу е дојдоа од Египет и го покрија земното лице, па се сместија на моето владение; дојди, па, проколни ги; тогаш можеби ке можам да ги поразам и да ги изгонам од земјата.‘'
12. И му рече Бог на Валаама: 'Не оди со нив, не проколнувај ги тие лу е; тие се благословени.'
13. И утрината стана Валаам и им рече на кнезовите Валакови: 'Вратете се при својот господар, зашто Бог не ми позволува да одам со вас.'
14. Тогаш моавските кнезови станаа и се вратија при Валак, и му рекоа: 'Валаам не сакаше да дојде со нас.'
15. И Валак пак реши да испрати кнезови, повеке и со поголема чест од првите.
16. И тие дојдоа при Валаама и му рекоа: 'Вака вели Валак, синот Сепфоров: те молам не задоцнувај да дојдеш при мене;
17. ке ти укажам големи почести и ке направам за тебе се‘, што ке ми кажеш; па дојди и проколни ги тие лу е.'
18. Валаам одговори и им кажа на кнезовите Валакови: 'Да ми ја дадеше Валак и куката своја, полна со злато и сребро, не можам да ја прекршам заповедта на Господа Бога, и да извршам нешто мало или големо по своја волја;
19. но сепак, останете и вие тука, оваа нок и јас ке разберам, што уште ке ми каже Господ.'
20. И дојде нокта Бог при Валаама и му рече: 'Ако овие лу е дошле да те викаат, стани, оди со нив; но прави го само она, што ке ти го речам Јас.'
21. Утрината Валаам стана, ја оседла ослицата своја и тргна со моавските кнезови.
22. И се разгневи јароста Божја, затоа што тргна тој, и застана Ангел Господов на патот, за да му попречи. Тој јаваше на ослицата своја, а со него и двајца слуги негови.
23. И ослицата го виде Ангелот Господов, застанат на патот со извлечен меч во раката, па скршна од патот и тргна по полето, а Валаам почна да ја бие ослицата со својот жезал за да се врати на патот.
24. И застана Ангелот Господов на еден тесен пат ме у лозјата, оградени и од едната и од другата страна.
25. Ослицата кога го виде Ангелот Господов, тргна кон оградата и ја притисна ногата на Валаама; и тој пак почна да ја бие.
26. Но Ангелот Господов пак се тргна и застана на тесно место, каде што немаше каде да се

скршне ни надесно, ниту налево.
27. Ослицата, кога го виде Ангелот Господов, легна под Валаама. И се разгневи Валаам и пак почна да ја бие ослицата со жезалот.
28. Тогаш ја одврза Бог устата на ослицата и тој му рече на Валаама: 'Што ти направив, та ме биеш еве веке третпат?'
29. Валаам и‘ рече на ослицата: 'Затоа што се подигра со мене; да имав во раката меч, сега ке те прободев.'
30. А ослицата му рече на Валаама: 'Не ли сум јас твојата ослица, која ти ја јаваш од младоста твоја до денес? Сум ти правела ли вака досега?' Тој одговори: 'Не'.
31. И му ги отвори Господ очите на Валаама, и тој го виде Ангелот Господов, застанат на патот со извлечен меч во раката, се поклони и падна ничкум.
32. И му рече Ангелот Господов: 'Зошто ја биеш ослицата еве веке три-пати? Јас излегов да ти го попречам патот, зашто патот твој не Ми е по воља!
33. и ослицата, кога ке ме видеше, скршнуваше од мене еве веке три пати; ако не скршнуваше од мене, ке те убиев, а неа ке ја оставев жива.'
34. И му рече Валаам на Ангелот Господов: 'Згрешив, бидејки не знаев, дека Ти стоиш на патот пред мене; и сега, ако тоа Ти е неугодно, јас ке се вратам.'
35. И му рече Ангелот Божји на Валаама: ‘оди со овие лу е; зборувај го само она што Јас ке ти го кажувам.‘ И отиде Валаам со Валаковите кнезови.‘
36. Валак, кога чу, дека доа а Валаам, излезе да го пречека во моавскиот град, кој е во Арнонските предели, при самиот крај.
37. И му рече Валак на Валаама: ‘нели испратив јас при тебе да те викаат, зошто не дојде при мене? Или зар не можам да ти укажам почести?‘
38. И му рече Валаам на Валака: ‘ете, јас дојдов при тебе, но можам ли да кажам нешто од себеси? Она што Бог го вложува во устата моја тоа и ке го кажам.‘
39. И тргна Валаам со Валака, и влегоа во градските куки.
40. И закла Валак телиња и овци и му испрати на Валаама и на кнезовите, кои беа со него.
41. А утрината Валак го зеде Валаама и го качи на Вааловите ѕидини, за да види оттаму еден дел од народот.

Глава 23

1. Тогаш Валаам му рече на Валака: 'Изгради ми овде седум жртвеници и приготви ми седум телиња и седум овни.'
2. Валак направи така, како што рече Валаам; и принесоа Валак и Валаам по едно теле и по еден овен на секој жртвеник.
3. И му рече Валаам на Валака: 'Застани при својата сепаленица, а јас ке појдам, можеби ке се јави Господ пред мене, и што ке ми открие, ке ти кажам.' И остана Валак при сепаленицата своја, а Валаам отиде на другата страна за да Го праша Бога.
4. И му се јави Бог на Валаама, и Валаам Му рече: 'Јас подигнав седум жртвеници и принесов по едно теле и по еден овен на секој жртвеник.'
5. И му вложи Господ збор во устата на Валаама и рече: 'Врати се при Валака и речи вака.'
6. И се врати при него, а тој стоеше при својата сепаленица, тој и сите моавски кнезови. А Духот Божји беше врз него.
7. И ги прими овие зберови, па рече: 'Од Месопотамија, од источните планини, ми рече Валак, моавскиот цар: дојди, проколни ми го Јакова, и дојди, проколни ми го Израилот!
8. Како ке проколнам? Бог не проколнува. Што лошо ке речам, кога Господ не злословува.
9. Од врвот на гората го гледам, од ридовите го гледам: ете народ кој живее одделно и не се вбројува ме у народите.
10. Кој ке го изброи семето на Јакова и кој ке го пресмета бројот на народот Израилев. Да умре душата моја, како што умираат праведниците, и крајот мој да биде како нивниот!'
11. И му рече Валак на Валаама: 'Што ми направи? Јас те повикав да ги проколнеш непријателите мои, а пак ти, ете, ги благословуваш со благослов.'
12. Тој одговори и рече: 'Не требаше ли да го кажам токму она, што Господ го вложи во устата моја?'
13. И Валак му рече: 'Дојди со мене на друго место, од каде што ке видиш, но само дел од него ке видиш, а нема целиот да го видиш; и проколни ми го оттаму.'
14. И го одведе до границата на полето на врвот на една карпа, и изгради таму седум жртвеници, и принесе по едно теле и по еден овен на секој жртвеник.
15. И му рече Валаам на Валака: 'Стој тука при сепаленицата своја, јас пак, ке одам понатаму за да Го прашам Бога.'
16. И го сретна Бог Валаама, и му вложи слово во устата негова, па рече: 'Врати се при Валака и кажи му така.'
17. И се врати при него, а тој стоеше при својата сепаленица, а заедно со него и сите моавски кнезови. И му рече Валак: 'Што вели Господ?'
18. Тој го започна своето кажување и рече: 'Стани Валако, слушај и внимавај, сине Сепфоров!
19. Бог не е човек, та да се колеба, ниту е син човечки, па да се изменува. Што ке каже, па да не го изврши, или што ке рече, па да не биде така?
20. Ете, доведен сум да благословувам: ке благословувам, и никако инаку.
21. Не се гледа мака во Јакова, и не се забележува ни болест кај Израилот; Господ Бог е со него, и тој има сава царска.
22. Бог го изведе од Египет: тој е брз како еднорог:
23. нема гатање кај Јакова, нема ма епсништво кај Израилот; некогаш ке речат за Јакова и за Израилот: ете, што направи Бог!
24. Ете, еден народ се подигна како лавица и се исправи како лав; нема да легне, додека не го изеде пленот свој и додека не се напие од крвта на победените.'
25. И му рече Валак на Валаама: 'Ни со клетва не го проколнувај, ни со благослов не го благословувај.'
26. И одговори Валаам и му рече на Валака: 'Не ли ти реков што ке рече Господ, тоа и ке го изврши.'
27. И му рече Валак на Валаама: 'Дојди, ке те одведам на друго место; ке Му биде секако

угодно на Бога, и оттаму ќе ми го проколнеш.'
28. И го поведе Валак Валаама на врвот од Фагор, што се протега спрема пустињата.
29. И му рече Валаам на Валака: 'Изгради ми овде седум жртвеници и приготви ми седум телиња и седум овни.'
30. И Валак направи, како што рече Валаам, и принесе по едно теле и по еден овен на секој жртвеник.

Глава 24

1. Валаам виде дека на Господ Му е пријатно да го благословува Израилот и не отиде во пресрет како порано, за да прескажува, а го сврти лицето кон пустињата.
2. Погледна Валаам и го виде Израилот, како се беше сместил со племињата свои, а Духот Божји беше на него.
3. И започнувајки ја својата беседа, рече: 'Валаам, синот Веоров, говори тој што ја гледа вистината.
4. Зборува оној, кој ги слуша зборовите на Семокниот; бидејки видение Божјо виде во сон, и тоа му ги отвори очите.
5. Колку се убави домовите твои, Јакове, и живеалиштата твои, о Израиле!
6. Тие се распростираат како дубрави со сенки, како градини крај река, како куки што ги изградил Господ, како кедри крај води;
7. од семето негово ке излезе човек, и ке завладее многу народи, и царството негово ке со возвиси погоре од царството на Гога, и ке се преувеличи.
8. Бог го изведе од Египет; тој е брз како еднорог, ке ги голтне непријателски расположените народи спрема него, ке им ги скрши коските нивни и со стрелите свои ке го порази непријателот.
9. Легнал тој како лав и како лавче; кој ке го разбуди? Благословен да биде, оној шѕо те благословува и проклет - оној што те проколнува!'
10. Се разгневи Валак против Валаама, и плесна тој со рацете свои, па му рече на Валаама: 'Јас те повикав да ги проколнеш непријателите мои, а ти ги благословуваш еве веке по третпат;
11. бегај, пак, во земјата своја; јас сакав да ти искажам почит, но, ете, Господ те лишува од почестите.'
12. И му рече Валаам на Валака: 'Не ли им реков на твоите пратеници што ми ги испрати:
13. ‘Да ми ја дадеше Валак и куката своја, полна со сребро и злато, не би можел да ја прекршам заповедта Господова, за да направам нешто добро или лошо по своја воља: она што ке ми рече Господ, тоа и ке го кажувам?‘
14. И така, ете, јас си одам во своето место, но приближи се, за да ти кажам и да те посоветувам што ке направи во последните дни овој народ со твојот народ.'
15. И го раскажа видението свое, велејки: 'Валаам, синот Веоров, зборува човек со отворени очи,
16. го зборува оној, што ги пази зборовите Божји, кој доби знаење од Севишниот, и откако виде видение Божјо во сон, очите му се отворија.
17. Ке му покажам, но не сега уште, го сакам но не одблиску. Изгрева ѕвезда од Јакова, и се издига довек од Израилот; тој ке ги поразува кнезовите моавски и ке ги заробува сите Ситови синови.
18. И Едом ке биде негово наследство, Сеир ке завладее над непријателите свои, а Израил ке ја покаже силата своја.
19. Произлезениот од Јакова ке завладее и ке ги погуби преживеаните од градот.
20. И го виде тој Амалика, и ја раскажа таа своја приказна, велејки: Амалик е прв ме у народите, но семето негово ке се затре.
21. И го виде и Кенеон, и пророкува, велејки: 'Силно е твоето живеалиште, на камен си го свил своето гнездо,
22. иако му е на Веор тоа гнездо на сплетки, Асирците ке те заробат.
23. И кога го виде Ога, пак пророкува, и рече: 'Тешко, тешко, кој ке остане жив, кога Бог ке го направи тоа.
24. Ке ги изведат од рацете Китиски, ке го озлобат Асура, ке го озлобат и Евера, но и самите ке се уништат.'
25. И стана Валаам и се врати во местото свое, а исто така и Валак отиде по патот свој.

Глава 25

1. Израил живееше во Ситим и народот почна преку блуд да се осквернува со керките на Моав;
2. и ги поканувааа тие да принесуваат жртва на идолите нивни, и народот ги јадеше жртвите нивни и им се клањаше на боговите нивни.
3. И му се поклони Израилот на Ваал-Фегор. И се разгори гневот Господов против Израилот.
4. И му рече Господ на Мојсеја: 'Земи ги сите началници народни и разобличи ги пред Господа спроти сонцето, и ке се одврати јаросниот гнев Господов од Израилот.'
5. Тогаш Мојсеј им рече на племињата Израилеви: 'Секој нека ги убие своите лу е, што му служат на Ваал-Фегор.'
6. И ете, еден од синовите Израилеви дојде и доведе при братот свој една Мадијамка, пред очите на Мојсеја, и пред очите на целото општество на синовите Израилеви, кога тие плачие при влезот од скинијата на сведоштвото.
7. Финес, синот на Елеазара, син на свештеникот Арон, кога го виде тоа, стана среде општеството и зеде во раката копје,
8. и влезе по Израилецот во блудилиштето и ги прободе и обајцата: Израилецот и жената во утробата нејзина; и престана поморот на синовите Израилеви.
9. А умрените од помор беа дваесет и четири иљади.
10. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
11. 'Финес, синот на Елеазара, син на свештеникот Арон, ја одврати јароста Моја од синовите Израилеви, покажувајки ме у нив ревност за Мене, и Јас не ги истребив синовите Израилеви во ревноста Своја.
12. Така кажи им: ‘ете, Јас му давам мирен завет;
13. и тој ке биде за него и за потомството негово по него завет на вечно свештенство, затоа што покажа ревност за својот Бог и Го омилостиви за синовите Израилеви.'
14. Името на убиениот Израилец, кој беше убиен со Мадијамката, е Замври, син на Сало, началник на Симеоновото поколение;
15. а името на убиената Мадијамка е Хазва; таа беше керка на Сура, началник на Мадијамското племе Омот.
16. Пак му рече Господ на Мојсеја, велејки:
17. 'Сметајте ги за непријатели Мадијамците и поразувајте ги,
18. зашто тие со подмолноста своја постапуваа непријателски спрема вас, соблазнувајки ве со Фегора и со Хазва, керката на мадијамскиот началник, нивна сестра, убиена во денот на поморот поради Фегор.'

Глава 26

1. По тој пораз Господ му рече на Мојсеја и на свештеникот Елеазар, син Аронов, велејки:
2. 'Преброј го целото општество на синовите Израилеви од дваесет години нагоре, според домовите нивни, сите способни за војување во Израилот.'
3. И им рече Мојсеј и свештеникот Елеазар во Аравот моавски кај Јордан, спроти Јордан, спроти Јерихон, велејки:
4. 'Пребројте ги сите од дваесет години и нагоре, како што заповеда Господ, кои излегоа од Египетската земја:
5. Рувим, Израилев првороденец. Рувимовите синови: од Енох - Енохово поколение, од Фалу - Фалуовото поколение,
6. од Асрон - Асроновото поколение, од Харми - Хармиевото поколение;
7. тоа се Рувимовите родови: на број тие беа четириесет и три иљади и шестототини и триесет.
8. Фалуовите синови: Елиав,
9. и Елиавовите синови: Намуил, Датан и Авирон. Тоа се оние Датан и Авирон, познати кај народот, кои предизвикаа смут против Мојсеја и Арона заедно со соучесниците на Кореја, кога тие предизвикаа бунт против Господа;
10. па земјата ја отвори устата своја и ги голтна заедно со Кореја: заедно со нив умреа и соучесниците нивни, кога оган изгоре двесте и педесет човека, и тие станаа за пример;
11. но Кореевите синови не изумреа.
12. Симеоновите синови според поколенијата нивни: од Намуил - Намуиловото поколение, од Јамин - Јаминовото поколение, од Јахин - Јахиновото поколение,
13. од Зара - Заровото поколение, од Саул - Сауловото поколение;
14. тоа се Симеоновите родови при пребројувањето нивно: дваесет и две иљади и двесте.
15. Јудините синови: Ир и Авнан, и Силом, Фарес и Зара, но Ир и Авнан умреа во Хананската земја;
16. Јудините синови според поколенијата нивни беа: Силом - Силомовото поколение, од Фарес - Фаресовото поколение, од Зара - Заровото поколение.
17. Фаресови синови беа: од Асрон - Асроновото поколение, од Јамун Јамуновото поколение;
18. тоа се Јудините родови според пребројувањето нивно: седумдесет и шест иљади и петстотини.
19. Исахарови синови според поколенијата нивни: од Тола - Толовото поколение, од Фува - Фувиното поколение,
20. од Јасува - Јасувовото поколение, од Амврам - Амврамовото поколение;
21. тоа се Исахаровите родови, според пребројувањето нивно: шеесет и четири иљади и четиристотини.
22. Завулонови синови според поколенијата нивни: од Саред - Саредово поколение, од Алон - Алоново поколение, од Алил - Алилово поколение;
23. тоа се Завулоновите поколенија, според пребројувањето нивно: шеесет иљади и петстотини.
24. Гадови синови според поколенијата нивни: од Сафон - Сафоновото поколение, од Агин - Агиновото поколение, од Сунин - Сунииновото поколение,
25. од Азен - Азеновото поколение, од Ад - Адовото поколение,
26. од Ароад - Ароадовото поколение, од Армал - Армаловото поколение;
27. тоа се поколенијата на Гадовите синови, според пребројувањето нивно: четириесет иљади и петстотини.
28. Асирови синови според поколението нивно: од Јамин - Јаминовото поколение, од Јесу - Јесуовото поколение, од Варij - Вариевото поколение.
29. Од Вариевите синови, од Ховер - Ховеровото поколение, од Мелхиил - Мелхииловото поколение;
30. Името на Асировата керка беше Сара;

31. Тоа се поколенијата на Асировите синови според пребројувањето нивно: четириесет и три иљади и четиристотини.
32. Јосифови синови според поколенијата нивни: Манасија и Ефрем.
33. Манасиеви синови: од Махир - Махирово поколение, од Махир се роди Галаад, од Галаада - Галадово поколение.
34. Еве ги Галаадовите синови: од Ахиезер - Ахиезеровото поколение, од Хелек - Хелековото поколение,
35. од Есриила - Есрииловото поколение, од Сухем - Сухемовото поколение,
36. од Симаер - Симаеровото поколение, од Офер - Оферовото поколение.
37. Салпаад, син Оферов, немаше синови, туку само керки; имињата на Салпаадовите керки беа: Мала, Нуа, Егла, Мелха и Терса;
38. тоа се Манасиевите поколенија; а на број тие беа педесет и две иљади и седумстотини.
39. Еве ги Ефремовите синови според поколенијата нивни: од Судал - Судаловото поколение, од Танах - Танаховото поколение;
40. А еве ги Судаловите синови: од Еден - Еденовото поколение;
41. тоа се поколенијата на Ефремовите синови, според пребројувањето нивно: триесет и две иљади и петстотини. Тоа се Јосифовите синови според поколенијата нивни.
42. Венијаминовите синови според поколенијата нивни: Вал - Валовото поколение, од Асивир - Асивировото поколение, од Јахиран - Јахирановото поколение;
43. од Софан - Софановото поколение;
44. Валови синови беа: Адер и Ноеман: од Адер - Адеровото поколение, од Ноемана - Ноемановото поколение;
45. тоа се Венијаминовите синови според поколенијата нивни; а на број тие беа четириесет и пет иљади и шестотини.
46. Еве ги Дановите синови според поколенијата нивни: од Самеј - Самеовото поколение;
47. А сите Самеови поколенија според пребројувањето нивно беа: шеесет и четири иљади и четиристотини.
48. Нефталимови синови според поколенијата нивни: од Асил - Асиловото поколение, од Гаун - Гауновото поколение;
49. од Јесер - Јесеровото поколение, од Селим - Селимовото поколение;
50. тоа се Нефталимовите поколенија според пребројувањето нивно: а на број тие беа четириесет и пет иљади и четиристотини.
51. Тоа се влезените во пребројувањето синови Израилеви: шестотини и една иљада и седумстотини и триесет.
52. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
53. 'Ним да им се подели земјата во наследство, според бројот на имињата;
54. на помногубројните дај им поголем дел, а на помалубројните дај им помал дел: секому треба да му се даде дел сразмерно со бројот на влезените во пребројувањето;
55. земјата треба да се подели со жреб, тие треба да добијат наследство според имињата на нивните родови;
56. со жреб да им се поделат нивните делови поме у нив - како на многубројните, така и на малубројните.'
57. Тие се Левиеви синови, што влегоа во пребројувањето според поколенијата свои: од Гирсон - Гирсоновото поколение, од Кат - Катовото поколение, од Мерари - Мерариевото поколение.
58. Ова се Левиевите родови: Ловеновото поколение, Хевроновото поколение, Мусиновото поколение и Кореевото поколение. Од Кат се роди Амрам.
59. Името на Амрамовата жена беше Јохавед, керка Левиева, која е родена од Левиевата жена во Египет, а таа му го роди на Амарма Арона, Мојсеја и Маријам, нивната сестра.
60. На Арона му се родија Надав и Авиуд, Елеазар и Итамар;
61. но Надав и Авиуд умреа, кога принесоа ту оган пред Господа во Синајската пустиња.
62. Сите од машки пол, од еден месец и нагоре, беа преброени дваесет и три иљади; тие не

беа преброени заедно со синовите Израилеви, зашто не им беше даден дел ме у синовите Израилеви.
63. Тоа се преброените од Мојсеја и свештеникот Елеазар, кои ги преброија синовите Израилеви во Аравот моавски кај Јордан, спроти Јерихон;
64. ме у нив немаше ни еден од оние, кои Мојсеј и свештеникот Арон ги преброија, кога ги пребројуваа синовите Израилеви во Синајската пустиња;
65. зашто Господ им беше рекол: 'Тие ке изумрат во пустињата.' И никој од нив не остана, освен Јефониевиот син Халев и Навиновиот син Исус.

Глава 27

1. И дојдоа керките на Салпаад, син на Офера, кој беше син на Галаада, а тој - син на Махир, од поколението на Манасија, син Јосифов, и еве ги имињата на керките негови: Мала, Нуа, Егла, Мелха и Терса;
2. и откако застанаа пред Мојсеја, пред свештеникот Елеазар, пред кнезовите и пред целото општество, при влезот од скинијата на сведоштвото, рекоа:
3. 'Таткото наш умре во пустињата, и тој не беше ме у соучесниците, што станаа против Господа заедно со лу ето на Кореј, туку умре поради свој грев, без синови.
4. Зашто да се загуби името на таткото наш ме у племето негово поради тоа што нема син? Дајте ни дел ме у браката на таткото наш!'
5. И Мојсеј го изнесе прашањето нивно пред Господа.
6. А Господ му рече на Мојсеја:
7. 'Право велат Салпаадовите керки; дај им наследствен дел ме у браката на таткото нивни и предај им го ним татковиот дел со жреб,
8. а на синовите Израилеви јави им и кажи: ‘ако некој умре, и не остави син, предавајте го наследството негово на керките негови;
9. ако, пак, тој нема керки, давајте го неговиот дел на браката негови;
10. ако нема брака, дајте го неговиот дел на стриковците негови;
11. ако, пак, нема ни стриковци, дајте му го неговиот дел на најблискиот роднина негов од неговото поколение да го наследи; и нека биде тоа закон за синовите Израилеви, како што му заповедал Господ на Мојсеја!'
12. И му рече Господ на Мојсеја: 'Излези во онаа гора, која е од онаа страна на Јодан, во гората Навав, и погледај ја земјата Хананска, која им ја давам на синовите Израилеви во владение;
13. и откако ке ја погледаш, прибери се и ти при народот свој, како што се прибра Арон, братот твој на планината Ор;
14. зашто вие не ја послушавте заповедта Моја во пустињата Син, кога ме у општеството се појави расправија, да ја покажете пред очите нивни Мојата светост при водата. Тоа се водите на расправија при Кадес, во пуситњата Син.'
15. И Му рече Мојсеј на Господа, велејки:
16. 'Госопод, Бог на духовите и на секоја плот, нека одреди над овој народ човек,
17. кој ке излегува пред нив, и кој ке влегува пред нив, кој ке ги изведува и кој ке ги доведува, та да не остане народот Господов како овци без пастир.'
18. И му рече Господ на Мојсеја: 'Земи го Иисуса, Навиновиот син, човек, во кого има Дух, и положи ги врз него рацете свои.
19. Престави го пред свештеникот Елеазар и пред целото општество, нареди му и заповедај за него пред целиот народ,
20. и дај му од славата твоја за да го слуша сиот народ на синовите Израилеви;
21. а тој да се обрнува до свештеникот Елеазар и да се допрашува до него за решенија Господови; и според зборот негов да излегуваат и според зборот негов да влегуваат тој и сите синови Израилеви со него и целото општество.'
22. И направи Мојсеј како што му заповеда Гопспод Бог, и го зеде Иисуса, па го претстави пред свештеникот Елеазар и пред целото општество;
23. и ги положи врз него рацете свои и му даде совет, како што му заповеда Господ на Мојсеја.

Глава 28

1. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
2. 'Заповедај им на синовите Израилеви и кажи им: даровите Мои, лебните приноси, жртвите Мои со благопријатен мирис да Ми се принесуваат на празниците Мои.
3. И кажи им: ете ја жртвата, која што треба да Му ја принесувате на Господа: две јагниња на ден, без недостаток, за сепаленица постојана за престап:
4. едното јагне принесувај го наутро, а другото јагне навечер;
5. и да принесете жртва, една десетина од ефа пченично брашно, помешано со четвртина ин чист елеј,
6. сепаленицата е постојана жртва на Господа, каква што беше извршена при планината Синај, за благопријатен мирис,
7. и кон неа да има за прелив четврт ин за едното јагне; на свето место извршувај го со вино преливот на Господа.
8. Другото јагне принесувај го навечер, со таков лебен принос како утрината, со жртва и прелив за него принесувај го за пријатна благоугодност на Господа.
9. А во саботен ден принесувајте по две јагниња без недостаток, и две десетти од ефа пченично брашно, поднесено со елеј, како и прелив;
10. и тоа е саботна сепаленица за секоја сабота, освен постојаната сепаленица и преливот за неа.
11. и при млад месец принесувајте Му на Господа сепаленици: од говедата две телиња, еден овен и седум јагниња без недостаток,
12. и три десетти од ефа пченично брашно поднесено со елеј, принос со телето, и две десетти од ефа пченично брашно, принесено со елеј, принос со овенот,
13. и по една десетта од ефа пченично брашно, поднесена со елеј, принос за секое јагне: тоа е сепаленица, благопријатна жртва на Господа;
14. а преливот за нив треба да биде половина ин вино за телето, една третина од ин за овенот и една четвртина ин за јагнето; тоа е сепаленица за секое новомесечје во текот на сите месеци на годината.
15. Принесувајте Му на Господа секогаш и по еден козел од козите ваши - жртви за грев; него треба да го принесувате заедно со преливот за него.
16. Во првиот месец, на четиринаесеттиот ден од месецот, е Пасха Господова.
17. А на петнаесеттиот ден од тој месец е празник; седум дена треба да се јадат бесквасни лебови.
18. Првиот ден да ви биде особено свет, никаква работа не вршете;
19. и принесете сепаленица, жртва на Господа: две телиња од говедата, еден овен и седум едногодишни јагниња; тие да се без недостаток;
20. а и принос кон нив пченично брашно, поднесено со елеј, тиее десетини од ефа за секое теле, и две десетини од ефа за овенот,
21. и по една десетина ефа принесувајте за секое од седумте јагниња,
22. и еден козел од козите - жртва за грев, за да се помолат за вас;
23. принесувајте го тоа, освен утринската сепаленица, која е постојана жртва.
24. Така правете секој ден во седумте дена; тоа е дар, принос благопријатен за Господа; при редовната сепаленица и прелив за неа.
25. И седмиот ден треба да ви биде особено свет; никаква работа не вршете.
26. И денот на првите плодови, кога Му принесувате на Господа нова жртва во вашите седмици, треба да ви биде особено свет; никаква работа не вршете;
27. и принесете сепаленици и благопријатен мирис на Господа: од говедата две телиња, еден овен и седум едногодишни јагниња, без недостаток,
28. а заедно со нив и принос од пченично брашно, поднесено со елеј, три десетини од ефа за секое теле, две десетини од ефа за овен,

29. и по една десетина од ефа за секое од седумте јагнија;
30. и еден козел од козите - жртва поради грев, за да се помолат за вас.
31. Пронесувајте ми ги овие жртви со вино за прелив, освен постојаните сепаленици со приносите; тие треба да бидат без надостаток.'

Глава 29

1. Во седмиот месец, првиот ден од месецот, треба да ви биде особено свет; никаква работа не вршете; тоа да ви биде ден на трубни знаци;
2. и принесете сепаленица за благопријатен мирис на Господа: едно теле од говедата, еден овен, седум едногодишни јагниња, без надостаток;
3. а заедно со нив и жртва од пченично брашно, поднесено со елеј, три десетини од ефа за телето, две десетини од ефа за овенот,
4. една десетина од ефа за секое од седумте јагниња,
5. и еден козел од козите како жртва за грев, за да се палат за вас.
6. Освен новомесечните сепаленици и приносите за нив, и преливите нивни, и секогашните сепаленици со нивните приноси и преливи според наредбите, треба да бидат со благопријатен мирис за Господа.
7. И десеттиот ден од тој седми месец треба да ви биде посебно свет: смирувајте ги душите свои и никаква работа не вршете;
8. а принесете сепаленици за благопријатен мирис на Господа: едно теле, еден овен, седум едногодишни јагниња; тие треба да бидат без недостаток;
9. и заедно со нив и принос од пченично брашно, поднесено со елеј, три десетини од ефа за теле, две десетини од ефа за овен,
10. и по една десетина од ефа за секое од седумте јагниња,
11. како и еден козел од козите - жртва за грев, за да се помолат за вас, освен жртвите за грев, што се принесуваат во денот на очистувањето, и освен постојаните сепаленици и приносите со нив и преливите за нив, што се принесуваат според наредбите, и жртва на Господа со благопријатен мирис.
12. И петнаесеттиот ден од седмиот месец треба да ви биде особено свет: никаква работа не вршете и празнувајте го тој празник Господов седум дена:
13. и принесете сепаленица, жртва за благопријатен мирис на Господа: во првиот ден тринаесет телиња, два овна, четиринаесет едногодишни јагниња; тие треба да бидат без недостаток;
14. И жртва од пченично брашно, претставена со елеј, три десетини од ефа за секое од тринесетте телиња, две десетини од ефа за секој овен,
15. по една десетина од ефа за секое едно од четиринаесет јагниња
16. и еден козел од козите жртва за грев, освен постојаната сепаленица принос како и прелив за неа.
17. А на вториот ден принесете: дванаесет телиња, два овна, четиринаесет едногодишни јагниња, без недостаток,
18. и со нив уште и принос и прелив за телињата, овните и јагнињата, според бројот нивни, според наредбите;
19. исто така и козел еден од козите - жртва за грев, освен постојаната сепаленица со приносот и прелив за нив.
20. На третиот ден, пак, принесете: единаесет телиња, два овна, четиринаесет едногодишни јагниња, без недостаток,
21. а со нив принос и прелив за телињата, овните и јагнињата, според бројот нивни, според наредбите;
22. исто така и еден козел од козите жртва за грев, покрај постојаната сепаленица со приносот и прелив за неа.
23. На четвртиот ден принесете: десет телиња, два овна, четиринаесет едногодишни јагниња, без недостаток,
24. со нив и принос и прелив за телињата, овните и јагнињата, според бројот нивни, според наредбите,
25. а покрај тоа и еден козел - жртва за грев, освен постојаната сепаленица и приносот и

преливот за неа.
26. И на петтиот ден принесете жртва: девет телиња, два овна, четиринаесет едногодишни јагниња, без недостаток,
27. и со нив денесете уште и принос и прелив за телињата, овните и јагнињата, според бројот нивни, според наредбите,
28. а и козел еден - жртва за грев, покрај постојаната сепаленица и приносот, уште и прелив за неа.
29. И на шестиот ден пак, принесете: осум телиња, два овна, четиринаесет едногодишни јагниња, без недостаток,
30. а со нив и принос како и прелив за телињата, овните и јагнињата, според бројот нивни, според наредбите;
31. а исто така и еден козел од козите - жртва за грев, покрај постојаната сепаленица и принос и уште и прелив за неа.
32. Во седмиот ден принесете: седум телиња, два овна, четиринаесет едногодишни јагниња, без недостаток,
33. и со нив уште принос и прелив за телињата, овните и јагнињата, според бројот нивни, според наредбите,
34. а и козел еден како жртва за грев, освен постојаната сепаленица и принос како и прелив за неа.
35. Во осмиот ден е крај на празникот: никаква работа не вршите;
36. а принесете сепаленица, жртва со пријатен мирис на Господа: едно теле, еден овен, седум едногодишни јагниња без недостаток,
37. и заедно со нив принос и прелив за телето, за овенот и за јагнињата, според бројот нивни според наредбите;
38. освен тоа уште и еден козел - жртва за грев, покрај постојаната сепаленица, приносот и преливот за неа.
39. Принесувајте го тоа на Господа на вашите празници, освен заветите ваши и благодарностите ваши, и сепалениците ваши и жртвите ваши уште и жртви за спасението ваше.'

Глава 30

1. И им кажа Мојсеј на синовите Израилеви се‘, што му беше заповедал Господ.
2. И им зборуваше Мојсеј на началниците од племињата на синовите Израилеви, велејќи: 'Еве што заповеда Господ:
3. ако некој Му вети нешто на Господа, или се заколне со клетва, или ја заложи душата своја, да не го оскверни зборот свој, туку да изврши се‘, што излегло од устата негова.
4. Ако жена се заветува на Господа и си се зарече во татковата си кука, во млади години,
5. а таткото нејзин го чуе заветот и зарекувањето нејзино, што го наложила на душата своја, па го премолчи таткото нејзин тоа, тогаш сите нејзини ветувања, и секое нејзино зарекување, што си го наложила на душата своја, да ги исполни;
6. ако таткото нејзин, кога ке чуе, па и‘ забрани, тогаш сите најзини завети, што си ги наложила на душата своја, да не се исполнуваат, и Господ ке и‘ прости, бидејки таткото и‘ ги забранил.
7. Ако се омажи, пак е обврзана со завет, или со збор, излезен од устата нејзина, со која таа се обврзала,
8. и чуе мажот нејзин, па, откако ке чуе и он ги наложи на душата своја, исто така да се исполни;
9. ако мажот нејзин, кога ке ги чуе, и‘ забрани и го отфрли заветот нејзин, што го дала, и зборот, излезен од устата нејзина, со кој таа се обврзала, тие да не се исполнат, бидејки мажот и‘ забранил и Господ ке и‘ прости.
10. А заветот на вдовица и разведена, каков и да било зарек да си наложила на душата своја, да се исполни.
11. Ако жена се заветувала во куката на мажот свој, или со клетва си наложила на душата своја зарек,
12. и мажот нејзин ја чул, а премолчал и не и‘ го забранил, тогаш сите завети нејзини да се исполнат, и секое зарекување, што го наложила на душата своја, да се исполни;
13. ако, пак, мажот нејзин, откако ги чул, ги отфрлил, тогаш сите завети нејзини, излезени од устата нејзина, и зарекување на душата нејзина, да не се исполнат; мажот нејзин ги уништил, и Господ ке и‘ прости.
14. Секој нејзин завет и секоја клетва нејзина за смирување на душата своја, мажот нејзин може да го потврди, и мажот нејзин може да го отфрли.
15. Ако мажот нејзин молчел одден наден, тој со тоа ги потврдил сите ветувања нејзини и сите зарекувања нејзини, со кои се обврзала, ги потврдил, зашто, откако ги чул, молчел за тоа;
16. ако, пак, мажот ги отфрлил, откако ги чул, тој го примил врз себе гревот нејзин.'
17. Тоа се наредбите, кои Господ му ги заповеда на Мојсеја за односите ме у мажот и жената негова, ме у таткото и керката негова во млади години, во куката на таткото свој.

Глава 31

1. И му рече Господ на Мојсеја велејки:
2. 'Одмазди им се на Мадијамците поради синовите Израилеви, и потоа ке се прибереш при народот свој.'
3. И му рече Мојсеј на народот велејки: 'Вооружете ме у вас лу е за војна, за да тргнат против Мадијамците, да извршат одмазда Господова над нив;
4. испратете во војна по иљада од племе, од сите племиња на синовите Израилеви.
5. И од иљадниците Израилеви беа одделени по иљада од секое племе, вкупно дванаесет иљади вооружени за војна.
6. И ги испрати Мојсеј во војна, по иљада од секое племе, нив и Финес, синот на свештеникот Елеазар, Аронов син, со светите сосуди и со труби за тревога в рака.
7. И отидоа во војна против Мадијам, како што му заповеда Господ на Мојсеја, и ги убија сите од машки пол;
8. а заедно со убиените од нив ги убија и мадијамските цареви; го убија со меч и Валаам, Веоровиот син заедно со нивните убиени.
9. Мадијамските, пак, жени и децата нивни синовите Израилеви ги зедоа во плен; и сиот нивни добиток, и сите стада нивни, и целиот имот нивни го заграбија;
10. сите градови нивни во нивно владение и сите села нивни со оган ги изгореа.
11. И го зедоа сето заграбено, од човек до добиток.
12. И заробените, и огарбеното и заграбеното му го донесоа на Мојсеј, пред свештеникот Елеазар и пред општеството на синовите Израилеви, при населбата во Аравот Моавски, кај Јордан, спроти Јерихон.
13. Тогаш Мојсеј и свештеникот Елеазар и сите кнезови на општеството излегоа надвор од населбата за да ги пречекаат.
14. И се разгневи Мојсеј на воените началници, иљадниците и стотниците, што се беа вратиле од војната,
15. па им рече: 'Зошто ги оставивте живи сите жени?
16. ете тие, по советот на Валаама, беа станале причина синовите Израилеви да отстапат и да ги презрат наредбите од Господа, заради Фегор, затоа и дојде оној пораз врз народот Господов.
17. А сега, убијте ги сите деца од машки пол, убијте ги и сите жени, што познале маж на машко легло;
18. а сите деца од женски пол, кои не познаел машко легло, оставете ги живи за себеси.
19. И останете надвор од населбата седум дена; сите, што убиле човек и што се допреле до убиен, очистете се на третиот ден, вие и вашите заробеници;
20. очистете ја и сета облека, сите кожени предмети, се‘ што е направено од козина, и сите дрвени садови.'
21. Потоа им рече свештеникот Елеазар на војниците, што беа отишле во војна: 'Еве ги наредбите на законот, кои Господ му ги заповеда на Мојсеја:
22. злато, сребро, бакар, железо, калај и олово,
23. и се‘ што минува низ оган, поминете го низ оган, за да се очисти, а освен тоа, тоа треба да се очисти и со очистителна вода; а се‘, што не минува низ оган, поминете го низ вода;
24. и облеката исперете ја на седмиот ден, и очистете се, и потоа влезете во населбата.'
25. И му рече Господ На Мојсеја, велејки:
26. 'Преброј го заграбеното, од човек до добиоток, ти и свештеникот Елеазар и началниците од племињата на општеството;
27. и раздели го ограбеното по половина, на оние што војуваа, што одеа во борба, и ме у целото општество.
28. А од војниците, што беа во војна, земи данок за Господа, од душа петстотини, од лу е и од говеда, и од овците и од ослите;

29. земи го тоа од нивната половина и дај му го на свештеникот Елеазар за вознесување пред Господа.
30. А од половината, определена за синовите Израилеви, земи по педесет на човек, од лу ето, од говедата, од овците и ослите, и од сите други животни, и дај им го тоа на левитите што служат при скинијата Господова.'
31. И направи Мојсеј и свештеникот Елеазар, како што му заповеда Господ на Мојсеја.
32. И пленот, што остана од грабежот, што го заграбија оние, кои беа отишле во војна, беше: овци шестотини седумдесет и пет иљади,
33. говеда седумдесет и две иљади,
34. осли шеесет и една иљада,
35. лу е - жени, кои не познале машко легло, сите беа триесет и две иљади души.
36. Половината, делот на оние, што беа отишле да се борат, според пребројувањето, беше: овци триста триесет и седум иљади и петстотини, говеда триста и седум иљади и петстотини.
37. На Господа од овците Му се даде шестотини седумдесет и пет;
38. говеда триесет и шест иљади, и од тоа дар за Господа седумдесет и два;
39. осли триесет иљади и петстотини, а дел од нив за Господа шеесет и еден;
40. лу е шеснаесет иљади, и данок од нив за Господа беше триесет и две души.
41. И му го даде Мојсеј дарот за вознесување пред Господа, на свештеникот Елеазар, како што му заповеда Господ на Мојсеја.
42. И од половината, определена за синовите Израилеви, што ја оддели Мојсеј од оние кои беа отишле во војната,-
43. а половината како дел на општеството беше: овци триста и триесет и седум иљади и петстотини,
44. говеда тиесет и шест иљади,
45. осли триесет и пет иљади и петстотини,
46. лу е шеснаесет иљади.
47. Од таа половина, определена за синовите Израилеви, Мојсеј зеде педесетти дел од лу ето и од добитокот и им го даде тоа на левитите, што служеа при скинијата Господова, како што му заповеда Господ на Мојсеја.
48. И дојдоа при Мојсеја начлниците над иљадите од војската, иљадниците од стотниците,
49. и му рекоа на Мојсеја: 'Твоите слуги ги преброија војниците, што ни се доверени, и ниеден од нив не умрел.
50. Еве, Му донесовме принос на Господа кој што нашол - златни предмети, алки, гривни, претења, обетки и веришки, за да се помолат за нас пред Господа.
51. И го зеде од нив Мојсеј и свештеникот Елеазар златото од сите тие изработки.
52. И сето злато, донесено од иљадниците и стотниците за вознесување пред Господа, беше шеснаесети иљади и седумстотини и педесет сикли.
53. Војниците беа грабала секој за себеси.
54. И го зеде Мојсеј и свештеникот Елеазар, златото од иљадниците и стотниците и го внесоа во скинијата на сведоштвото за спомен на синовите Израилеви пред Господа.

Глава 32

1. Рувимовите синови и Гадовите синови имаа многу добиток; и тие видоа, дека земјата Јазир и земјата Галад се места за стада.
2. И Гадовите синови и Рувимовите синови дојдоа и му кажаа на Мојсеја и на свештеникот Елеазар и на кнезовите народни, велејки:
3. 'Атарот и Девон, Јазир и Намра, Есевон и Елеали, Севам, Невив и Веан,-
4. земјата, која Господ им ја предаде на синовите Израилеви, е земја за одгледување стада, а твоите слуги имаат стада.
5. - И рекоа - ако сме нашле благословение пред тебе, дај им ја таа земја на слугите твои во владение; не не‘ преведувај преку Јордан.'
6. И им рече Мојсеј на Гадовите синови и на Рувимовите синови: 'Браката ваши ке отидат во војна, а вие туке ли ке останете?
7. Зошто го одвракате срцето на синовите Израилеви да одат во земјата што Господ им ја дава?
8. Не направија ли така татковците ваши, кога ги испракав од Кадис-Варни да ја видат земјата.'
9. Тие отидоа до долината на лозјата и ја видоа земјата, и го одвратија срцето на синовите Израилеви, за да не отидат во земјата, која Господ им ја дава;
10. и во оној ден се разгори гневот на Господа и Он се заколна, велејки:
11. ‘И тие лу е, што излегоа од Египет, од дваесет години и нагоре, кои знаат што е добро и што е зло, нема да ја видат земјата, за која му се бев заколнал на Авраама, Исака и Јакова, зашто тие не Ме послушаа,
12. освен Халев, синот на Јефонија, и Исус, синот Навинов, зашто тие Го послушаа Господа;
13. и се разгори гневот на Господа против Израилот, и Он ги водеше по пустињата четириесет години; додека не се сотре целиот род, кој беше направил зло пред Господа.
14. И ете, наместо татковците ваши, востанавте вие, изроди од грешници, за да ја зголемите уште повеке јароста Господова против Израилот.
15. Ако се одвратите од Него, Он пак ке го остави Израилот во пустињата, и вие ке го погубите сиот овој народ.‘
16. И тие се приближија донего и рекоа: 'Ке направиме тука кошари за стадата наши и градови за децата наши;
17. а самите ние први ке се вооружиме и ке одиме пред синовите Изрилеви, додека не го одведеме до местата нивни; добитокот наш нека остане во урврдени градови, за да биде во безопасност од месните жители;
18. нема да се вратиме во домовите наши се‘ додека не стапат синовите Израилеви секој на својот дел;
19. зашто нема да земеме заедно со нив дел од онаа страна на Јордан и понатаму, бидејки со жреб ни се даде оваа страна на Јордан, кон исток.'
20. Тогаш Мојсеј им рече: 'Ако го направите тоа, ако отидете вооружени во војна пред Господа,
21. и секој од вас вооружен го мине Јордан пред Господа, додека не ги истреби Он пред Себе Своите непријатели,
22. и земјата ке биде покорена пред Господа, тогаш потоа ке се вратите и нема да бидете виновни пред Господа и пред Израилот, и ке ја владеете оваа земја пред Господа.
23. Но ако не постапите така, ке згрешите пред Господа и за гревот свој ке претрпите казна, што ке ве стигне.
24. Изградете градови на имотите ваши и огради за добиток ваш, и извршете го она, што го кажавте со устата своја!'
25. Тогаш Гадовите синови и Рувимовите синови му рекоа на Мојсеја: 'Слугите твои ке направат така, како што заповедал Господ наш;
26. децата, пак, наши, жените наши, и сиот наш добиток нека останат тука во градовите на

Галад,
27. а слугите твои, сите вооружени и подготвени како војници, пред Господа ке појдат во војна, како што вели Господ.'
28. И Мојсеј му заповеда на свештеникот Елеазар и на Иисуса, Навинов син, и на началниците над племињата на синовите Израилеви,
29. и им рече: 'Ако Гадовите синови и Рувимовите синови го преминат заедно со вас Јордан, сите вооружени и подготвени за војување пред Господа, и ја завладеат земјата пред вас, дајте им ја да ја владеат земјата Галад.
30. Ако пак не тргнат заедно со вас вооружени и подготвени за војна пред Господа, тогаш испретете ги пред вас имотите нивни жените нивни и добитокот нивни во Хананската земја, и нека ја наследат заедно со вас земјата Хананска.'
31. Тогаш Гадовите синови и Рувимовите синови одговорија и рекоа: 'Како што ни заповеда Гопсод, на слугите негови, така и ке направиме;
32. ние ке тргнеме вооружени пред Господа за Хананската земја, а дајте ни ја во владение наше оваа страна на Јордан.'
33. И им го даде Мојсеј - на Гадовите синови и на Рувимовите синови и половината од племето Манасиево, и на синовите Јосифови - царството на Сион, аморејски цар, и царството на Ог, васански цар, земјата со градовите нејзини и околностите нивни, - градовите на земјата наоколу.
34. И Гадовите синови го изградиња Дивон, Атарот и Ароир,
35. и Софан, и Јазир и ги утврдија;
36. и Амрам и Вегран, градови утврдени, и огради за овци.
37. А Рувимовите синови ги изградија Есевон, Елеали, Каријатаим,
38. И Невон, и Веелиеон, чии имиња беа изменети, и Севма, и им дадоа имиња на градовите, што ги изградија.
39. И отиде Ур, синот Махиров, Манасиев внук, во Галад, и го презедоа и ги порази Аморејците, што живееја таму.
40. Јаир, пак, синот Манасиев, отиде и ги презеде селата нивни и ги нарече Јаирови села.
41. И му го даде Мојсеј Галад на Манасиевиот син Махир, и тој се насели таму.
42. А Навав отиде и го зазеде Кага и потчинетите му градови, и го нарече според името свое: Навав.

Глава 33

1. Ете тоа се населбите на синовите Израилеви, што излегоа од Египетската земја според својот состав, под водството на Мојсеја и Арона.
2. По заповедта на Господа Мојсеј го опиша нивните патувања и престојувањата нивни, и еве ги престоите на нивното патување.
3. Од Рамзес тие тргнаа во првиот месец, на петнаесеттиот ден од првиот месец, - утрината по Пасха излегоа синовите Израилеви под висока рака пред очите на сите Египтјани;
4. а во тоа време Египтјаните ги погребуваа сите првородени, што ги порази Господ ме у нив, и над боговите нивни Господ беше извршил суд.
5. Така тргнаа синовите Израилеви од Рамзес и се сместија во Сокхот.
6. Потоа појдоа од Сокхот и се сместија во Вутан, кој е дел од пустињата.
7. Се кренаа од Вутан, и се упатија при изворот Ирот, кој е спроти Веелсепфан, и се сместја спрема Мигдол.
8. Откога тргнаа од Ирот, минаа преку морето во пустињата, и патуваа три дена по пустињата, и се сместија во Мера.
9. И се кренаа од Мера, пристигнаа во Елим; а во Елим имаше дванаесет водни извори и седумдесет финикови дрвја, и таму се сместја до водите.
10. Потоа појдоа од Елим и се сместија крај Црвеното Море.
11. И тргнаа од Црвено Море и се сместија во пустињата Син.
12. Па се кренаа од пустињата Син и се сместија во Рафак.
13. Од Рафак заминаа и дојдоа во Елус.
14. Тргнаа од Елус и се сместија во Рафидин, а таму немаше вода да пие народот.
15. Појдоа од Рафидин и се сместија во Синајската пустиња.
16. Заминаа од Синајската пустиња и се сместија покрај гробовите на страстите.
17. Тргнаа од гробовите на страстите и се сместија во стан на Асирот.
18. Од Асирот појдоа и се сместија во Ратам.
19. Потоа се кренаа од Ратам и се сместија во Ремнон-Фарес.
20. Појдоа од Ремнон-Фарес и се сместија во Лемнон.
21. Од Лемнон заминаа и се сместија во Ресан.
22. Тргнаа од Ресан и се сместија во Макелата.
23. Се кренаа од Макелата и се сместија во Арсафат.
24. Тргнаа од планината Арсафат и се сместија во Харад.
25. Тргнаа од Харад и се сместија во Макидад.
26. Од Макидад се кренаа и се сместија во Катад.
27. Тргнаа од Катад и се сместија во Тарад.
28. Појдоа од Тарад и се сместија во Мадек.
29. Заминаа од Мадек и се сместија во Аселнон.
30. Од Аселнон тргнаа и се сместија во Масурут.
31. Тргнаа од Масурут и се сместија во Банакан.
32. Заминаа од Банакан и се сместија во гората Гадад.
33. Се кренаа од гората Гадат и се сместија во Етеват.
34. Појдоа од Етеват и се сместија во Еврон.
35. Тргнаа од Еврон и се сместија во Гесион-Гавер.
36. Од Гесион-Гавер тргнаа и се сместија на стан во пустињата Син, па се кренаа од пустињата Син, и се сместија во пустињата Фаран, која е и Кадес.
37. Појдоа од Кадес и се сместија во планината Ор, близу до земјата Едомска.
38. Тогаш по заповед на Господа свештеникот Арон се искачи на планината Ор и умре таму на четириесеттата година по излегувањето на синовите Израилеви од Египетската земја, во петтиот месец, на првиот ден од месецот;
39. Арон имаше сто и дваесет и три години кога умре на планината Ор.

40. Тогаш царот на Арад, еден од хананските цареви, кој живееше на југ во Хананската земја, чу, дека идат синовите Израилеви.
41. И тие тргнаа од планината Ор и се сместија во Селмон.
42. Појдоа од Селмон и се сместија во Финон.
43. Се кренаа од Финон и се сместија во Овот.
44. Потоа заминаа од Овот и се сместија во Гај, од спротива на пределите Моавски.
45. Тргнаа од Гај и се сместија во Девон-Гад.
46. Појдоа од Девон-Гад и се сместија во Гелмон-Девлатаим.
47. Се кренаа од Гелмон-Девлатаим и се сместија во Аваримската гора спроти Навав.
48. Тргнаа од Аваримската планина и се сместија во западен Моав, крај Јордан, спроти Јерихон;
49. и се кренаа од западен Моав, па се сместија во Јордан ме у Есимот и Велсатим во западен Моав.
50. Тогаш му рече Господ на Мојсеја во западен Моав, во Јордан кај Јерихон, велејки:
51. 'Кажи им на синовите Израилеви и речи им: кога ке минете од оваа страна на Јордан во Хананската земја,
52. погубете ги од пред себе сите жители на оваа земја, разрушете ги сите нивни храмови и сите излеани идоли, разрушете ги и сите нивни жртвеници, разорете ги;
53. погубете се‘ живо во таа земја и завладејте ја и населете се во неа, зашто Јас ви ја давам таа земја да ја владеете;
54. и поделете ја земјата со жреб на делови ме у вашите племиња: на многубројните дајте им поголем дел, а на малубројните дајте им помал дел; како кому ке му се падне жребот, таму да му биде и делот; земете си делови според родовите на таткоците ваши.
55. Ако, пак, не ги поразите од пред себе жителите на земјата, тогаш оние што ке останат, ке бидат трн во очите ваши и бодила во слабините ваши и ке ве притеснуваат во земјата каде што ке живеете,
56. и тогаш, она што мислев да им го направам ним, ке ви го направам вам.'

Глава 34

1. Му рече Господ на Мојсеј, велејки:
2. 'Заповедај им на синовите Израилеви и кажи им: кога ке влезат во Хананската земја, таа е земјата, кој ке ви се падне во дел, земјата Хананска со пределите нејзини:
3. вашата страна ке биде онаа во југ, од пустињата Син, дури до Едом, како и пределот кон Лив, од крајот на Соленото Море откај исток,
4. и да се граничи со пределите од југ до Акравинските возвишенија да минува кон југ кај Кадис-Варни да излегува кај полето Арад, минувајки преку Аселмон;
5. од Аселмон линијата да оди кон Египетската река и излегува кон морето.
6. И морските предели да бидат ваши, предели што ги определува морето - тоа е морската граница.
7. Откај север, пак, да имате граница: од големото море да ја измерите сами до горите,
8. од горите таа ад продолжува до Емат, и оттука свртува кон Садад;
9. оттаму границата да продолжи кон Зефрон и да скршнува кон Арсенаин: тоа да ви биде северната граница.
10. Источната граница измерете ја сами од Арсенаин до Сепфамара,
11. од Сепфамара да продолжи кон Вил до изворите, потоа таа прави завој до морето Кинерет, од источната страна;
12. таа граница излегува на Јордан и прави завој кон Соленото Море. Тоа да ви биде земјата со границите нејзини наоколу.'
13. Тогаш им заповеда Мојсеј на синовите Израилеви и рече: 'Еве ја земјата што ке ја поделите со жреб, која Господ заповеда да им се даде на деветте племиња и половината од племето Манасиево,
14. зашто племето на Рувимовите синови според домовите нивни, и племето на Гадовите синови според домовите нивни, и половината од Манасиевото племе, го добија својот дел:
15. двете племиња и половината племе го добија својот дел со жреб од ова страна на Јордан, сproти Јерихон на исток.'
16. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
17. 'Ова се имињата на мажите, што ке ја поделат таа земја ме у вас, свештеникот Елеазар, и Исус, Навиновиот син;
18. а за делењето на земјата земете и по еден кнез од секое племе.
19. А еве ги имињата на тие мажи: за Јудиното племе-Халев, синот Јефониев;
20. за племето на Симеоновите синови - Самуил, синот Амиудов;
21. за Венијаминовото племе - Елдад, синот Хаслонов;
22. за племето на Дановите синови - кнезот Вакхир, Еглиновиот син;
23. за Јосифовите синови, за племето на Манасиевите синови - кнезот Анил, Ефодовиот син;
24. за коленото на Ефремовите синови - кнезот Камуил, синот Сафатанов;
25. за племето за Завулоновите синови - кнезот Елисафан, синот Фарнахов;
26. за племето на Исахаровите синови - кнезот Фалтиил, синот Озанов;
27. за племето на Асировите синови - кнезот Ахир, синот Селемиинов;
28. за племето на Нефталимовите синови - кнезот Фадаил, синот Амиудов.'
29. Тоа се оние, на кои Господ заповеда да ги поделат деловите ме у синовите Израилеви во Хананската земја.

Глава 35

1. И му рече Господ на Мојсеја во западен Моав при Јордан, спроти Јерихон, велејки:
2. 'Заповедај им на синовите Израилеви да им дадат со жреб на левитите од добиените делови во владение свое градови за живеење, и поле околу градовите дајте им на левитите;
3. во градовите ке живеат тие, а полето ке биде за добитокот нивни, и за сите нивни четвороножни животни.
4. Полето околу градовите, што ке им го дадете на левитите, треба да се простира од градскиот ѕид две иљади лакти наоколу.
5. И измерете надвор од градот, откај исток две иљади лакти, откај страната на југ две иљади лакти, и страната откај морето две иљади лакти, откај север две иљади лакти, а во средината да биде градот; такво ке им биде полето околу градовите.
6. Ме у градовите што ке им ги дадете на Левитите, шест града нека има за засолниште, каде што ке дозволите да избегаат оние што убиле; и освен нив дајте четириесет и два града:
7. сите градови, што ке им ги дадете на Левитите, да бидат четириесет и осум града со поле околу нив.
8. И кога ги давате градовите од владението на синовите Израилеви, давајте од поголемото - повеке, од помалото помалку; според наследството свое, што ке го добие, нека им даде од своите градови на Левитите.'
9. И му рече Господ на Мојсеја, велејки:
10. 'Кажи им на синовите Израилеви и речи им: ‘кога ке минете преку Јордан во Хананската земја,
11. разделете си градови, што ке ви бидат градови прибежишта, каде што би можел да избега убиец, кој убил ненамерно.‘
12. И тие градови нека ви бидат засолниште од одмаздникот за крв, та да не биде погубен оној, што го извршил убиството, пред да излезе на суд пред народот.
13. А градовите, што ке ги дадете, градовите за засолништа, треба да бидат шест:
14. три града дајте од оваа страна на Јордан и три града дајте во Хананската земја; тие треба да бидат градови прибежишта.
15. Тие шест градови да бидат засолништа за синовите Израилеви, за придојдениот и за преселениот ме у вас, за да избега во нив секој, кој убил човек не сакајки.
16. Ако некој удри некого со железно орудие и тој умре, тој е убиец: убиецот да биде убиен;
17. и ако некој удри некого со камен од рака, и тој умре од каменот; тој е убиец, убиецот да биде убиен;
18. или ако удри со дрвено орудие од рака, па тој од тоа умре, тој е убиец, убиецот да биде умртвен.
19. Одмазникот за крв сам може да го убие убиецот: штом ке го сретне, може сам да го умртви.
20. Ако некој турне некого од омраза, или со умисла фрли на него нешто, така што тој да умре,
21. или од завест го удри со рака, па тој умре, тогаш оној што удрил да биде убиен, тој е убиец; одмаздникот за крв може да го умртви убиецот, штом ке се сретне со него.
22. Ако го турне, не сакајки, и без непријателство, или фрли на него нешто без умисла,
23. или, без да види, откачи некој камен одозгора, што може да предизвика смрт, така што оној умре, но тој не му бил непријател и не му мислел зло,
24. тогаш народот да го реши делото ме у убиецот и одмаздникот за крв според оваа наредба;
25. и народот да го спаси убиецот од раката на одмазникот за крв, и да го врати во градот на неговото засолниште, каде што избегал тој, за да живеее таму до смртта на големиот свештеник, кој е помазан со свет елеј.
26. Ако убиецот излезе надвор од градот за засолнување, каде што избегал,
27. па одмаздникот за крв го сретне надвор од границата на градот прибежиште и го убие, нема да биде виновен за крвнина,

28. зашто оној треба да живее во градот на засолништето свое до смртта на големиот
свештеник, а по смртта на големиот свештеник убиецот ке може да се врати во земјата на
имотот свој.
29. Тоа да ви биде законска наредба во поколенијата ваши, по сите ваши живеалишта.
30. Секој што ке убие човек убиецот да биде пред свидетели; но еден сведок не е доволен за
осудување на смрт.
31. И не земајте откуп за душата на убиецот, кој е виновен за смртта, него предавајте го на
смрт.
32. И не земајте откуп за избеган во засолнички град, за да му дозволите да живее во земјата
своја, се‘ до смртта на великиот свештеник.
33. На убивајте на земјата, на која живеете; зашто крвта ја осквернува земјата, и земјата не се
чисти од пролеаната крв врз неа поинаку, освен со крвта на оној, што ја пролеал.
34. Да не ја осквернувате земјата, на која живеете, во која поме у вас се вселив и Јас; зашто Јас
сум Господ, Кој се всели ме у синовите Израилеви.'

Глава 36

1. Дојдоа кнезовите на племињата од синовите на Галад, синот на Махир, внук Манасиев, од племињата на Јосифовите синови, говореа пред Мојсеја и пред свештеникот Елеазар и пред кнезовите, на домовите на синовите Израилви,
2. па рекоа: 'Господ му заповеда на господарот наш да им дадеме земја во дел на синовите Израилеви по жреб, и на господарот наш му е заповедано од Господа, делот на Салпаад, наш брат, да им го даде на керките негови;
3. ако, пак, тие се омажат за синови од некое друго племе на синовите Израилеви, тогаш нивниот дел да се одземе од делот на татковците наши и да се додаде кон делот на она племе, во кое тие ке бидат омажени, и да се одземе наследството нивни од делот, кој што ни се падна со жреб нам;
4. и дури откако кај синовите Израилеви ке има проштална година, делот нивни да се додаде кон делот на она племе, во кое тие ке бидат омажени, делот нивни да се одземе од делот на татковото ни племе.'
5. Тогаш Мојсеј им заповеда на синовите Израилеви, според повелбата Господова, и рече: 'Право говори племето на Јосифовите синови:
6. еве, како заповеда Господ за Салпаадовите керки: тие можат да бидат жени на оние, што ке им се допаднат, но можат да се омажат само со човек во племето од татковиот род,
7. за да не минува делот на синовите Израилеви од едно племе во друго - зашто секој од синовите Израилеви треба да се жени само во родот на татковото си племе;
8. и секоја керка, која наследува дел во племето на синовите Израилеви, треба да стане жена на некого од племето на татковиот си род, та секој од синовите Израилеви да го наледи татковиот дел,
9. и да не минува делот од едно племе во друго; зашто секој од синовите Израилеви треба да се жени во племето од своето наследство.'
10. Како што му заповеда Господ на Мојсеја, така и направија Салпаадовите керки.
11. И Салпаадовите керки Мала, Терса, Егла, Мелха и Нуа се омажија со синовите од браката на своето племе;
12. тие се омажија во племето од синовите на Манасија, Јосифов син, и нивниот дел остана во племето на нивниот татко.
13. Тоа се заповедите и наредбите, и повелбите, што Господ им ги даде на синовите Израилеви преку Мојсеја во западен Моав, при Јордан, спроти Јерихон.

# Второзаконие

Глава 1

1. Ова се зборовите што му ги кажа Мојсеј на сиот Израил од онаа страна на Јордан во пустињата на запад спрема Суф, ме у Фаран и Тофол, Ловон и Авлон и рудниците на злато;
2. а од Хорив, преку планината Сир, до Кадис-Варни има единаесет дена пат.
3. На четириесеттата година, на единаесеттиот месец, во првиот ден од месецот, им кажа Мојсеј на сите синови Израилеви се, што му беше заповедал Господ за нив.
4. Откако го порази аморејскиот цар Сион, кој живееше во Есевон, и васанскиот цар Ог, кој живееше во Астарот, во Едраин,
5. од онаа страна на Јордан, во земјата Моавска, Мојсеј почна да го објаснува тој закон и рече:
6. 'Господ, Бог наш, ни говореше на Хорив и рече: ‘Доста живеевте во таа планина;
7. свртете се и кренете, па слезете во гората на Аморејците и при сите нивни соседи, по рамнината, по планините и на југ и во приморската земја Хананска и во Антиливан, дури до големата река, реката Еуфрат!
8. Ете, ви ја давам таа земја, одете, земете ја земјата во наследство, која Господ со клетва им вети дака ке им ја даде на татковците ваши - на Авраама, Исака и Јакова, ним и на потомството нивно.
9. И јас ви реков во она време: ‘Не можам сам да ве водам;
10. Господ, вашиот Бог, ве умножи, и еве, вие сте сега многубројни како ѕвездите небески:
11. Господ, Бог на татковците ваши, нека даде да се намножите и иљадапати повеке, отколку што сте сега и нека ве благослови, како што ви говореше!
12. Како ке ги носам сам страдањата ваши, тежините ваши и расправиите ваши?
13. Изберете си сперед вашите племиња лу е мудри, разумни и искусни, а јас ке ви ги поставам за началници.
14. Вие ми одговоривте тогаш и рековте: ‘Тоа е добро што велиш да го направиме.'
15. И зедов од вас мажи мудри, разумни и искусни, и ги поставив за началници над вас: иљаданачалници, стоначалници, педесетначалници, десетначалници и записничари кај судиите ваши.
16. И им заповедав на судиите ваши во тоа време, и реков: ‘Ислушувајте ги браката свои и судете справедливо како човек спрема брат, така и неговиот придојден;
17. Во судот не правете разлика ме у лицата, ислушувајте го и малиот, и големиот: не плашете се од лицето човечко, бидејки судот е Божји; а ако имате дело, кое е тешко за вас, обрнете се до мене, и јас ке го ислушам.‘
18. И во тоа време ви заповедав за се‘ што треба да правите.
19. И откако тргнавме од Хорив, одевма по целата таа голема и страшна пустиња, што ја видовте, по пат кон Аморејската планина, како што беше заповедал Господ, нашиот Бог, и стигнавме во Кадис-Варни.
20. Тогаш јас ви реков: ‘Вие стигнавте на Аморејската планина, која Господ, Бог наш, ви ја дава;
21. ете, Господ, Бог ваш, ви ја предаде оваа земја; што ке влезете, земете ја во владение, како што им рече Господ, Бог на вашите татковци: не бојте се и не плашете!‘
22. Но вие сите дојдовте при мене и рековте: ‘Да испратиме пред нас лу е, да ја разгледаат земјата и да ни донесат известување за патот по кој ке одиме, и за градовите, во кои ке влеземе.'
23. Ми се свидоа тие зборови, а јас зедов од вас дванаесет души, по еден човек од секое племе.
24. Тие тргна, се качија на планината, дојдоа до долината со лозја и ја разгледаа;
25. па зедоа во рацете свои плодови од земјата, ни донесоа, и не‘ известија, велејки: ‘Добра е земјата, што Господ, Бог наш, ни ја дава.‘
26. Но вие не сакавте да одите и се оглушивте од заповедта на Господа, вашиот Бог,
27. и возроптавте во шаторите свои, велејки: ‘Господ, од омраза спрема нас, не‘ изведе од

земјата Египетска, за да не‘ предаде во рацете на Аморејците и да не истреби;
28. како ке одиме?‘ Вашите брака ве обесхрабрија, велејки: ‘оној народ е поголем, поброен и посилен од нас, таму градовите се поголеми и оградени со ѕидови до небеса, па и лу е исполини видовме таму.‘
29. Тогаш јас ви реков: ‘Не ужасувајте се и не плашете се од нив;
30. Господ, Бог ваш, оди пред вас; Он ке се бори за вас, исто онака, како што ви направи вам во Египет, пред очите ваши.
31. И во оваа пустиња, како што видовте, Господ, Бог твој те пазеше, како што човек го пази синот свој, по целиот пат, по кој минавте, додека стигнавте на ова место.‘
32. Но и при тоа вие на Му верувавте на Господа, вашиот Бог,
33. Кој одеше пред вас по патот, за да ви одбере место, каде да запрете - ноке се оган, за да ви го сочува патот по кој одите, а дење со облак.
34. И кога Господ Бог ги чу зборовите ваши, се разгневи, и се заколна, велејки:
35. ‘Никој од овие лу е, нема да ја види добрата земја, за кој им се заколнав на татковците нивни, дека ке им ја дадам,
36. освен Халев, Јефониевиот син, тој ке ја види; нему ке му ја дадам земјата, во која влезе, и на синовите негови, зашто Му се покоруваше на Господа.‘
37. Господ се разгневи и на мене заради вас, велејки: ‘И ти нема да влезеш таму;
38. Иисус, синот Навинов, кој е при тебе, тој ке влезе таму; него поткрепи го; тој ке му ја даде на Израилот во наследство;
39. и децата ваши, за кои говоревте, дека ке станат плен на непријателите, и синовите ваши, кои засега не знаат што е добро, и што зло, тие ке влезат таму, ним ке им ја дадам, и тие ке ја наследат.‘
40. А вие свртивте и тргнавте кон пустињата, по патот кон Црвеното Море.
41. Вие одговоривте тогаш и ми рековте: ‘Згрешивме пред Господа, нашиот Бог; ке одиме и ке се бориме како што ни беше заповедал Господ, Бог наш.‘ И вие го опашавте секој бојното оружје свое, па се собравте и се искачивте на планината.‘
42. Но Господ му рече - кажи им: ‘Не одете и не војувајте, зашто Јас нема да бидам ме у вас, за да не бидете разбиени од непријателите ваши.‘
43. И јас ви го кажав тоа, но вие не ме послушавте и ја престапивте Господовата заповед и своеволно се искачивте на планината.
44. Тогаш излезе против вас Аморej, кој живееше во таа планина, и ве прогна, како што правата пчелите, и ве разбиваше од Сир дури до Хорма.
45. Вие тогаш се вративте и почнавте да плачете пред Господа, но Господ не го чу плачот ваш и не ве послуша.
46. и останавте во Кадис многу време, колку што бевте таму.'

Глава 2

1. 'Кога се вративме и тргнавме по пустињата кон Црвено Море, како што ми беше рекол Господ, и многу време одевме околу планината Сир.
2. И Господ ми рече, велејќи:
3. 'Доста одевте околу таа планина, свртете се, пак, кон север.
4. Заповедај му на народот и кажи му: 'Ќе поминете сега низ пределите на вашите браќа, синовите Исавови, кои живеат со Сир, и тие ќе се исплашат од вас, и ќе се ужасат.
5. Но вие на започнувајте со нив војна. Јас нема да ви дадам од земјата нивна ни една стапка, зашто планината Сир со жреб им ја дадов на синовите Исавови.
6. Храна купувајте од нив со сребро и јадете; и вода купувајте од нив според цената и пијте;
7. зашто Господ, Бог твој, те благослови во секое дело на твоите раце, сети се како помина, додека патуваше ти по таа голема и страшна пустиња; ете, четириесет години Господ, Бог твој, е со тебе; ти од ништо не се лишуваше.'
8. И минавме покрај нашите браќа, синовите Исавови, кои живеат во Сир, по арабискиот пат, од Елон и Гесион - Гавер, па свртивме и го изминавме патот во пустињата Моав.
9. И му рече Господ: 'Не се карајте со Моавците, ниту почнувајте со нив војна; зашто Јас не ви дадов со жреб ништо од земјата нивна, бидејќи Јас им дадов на Лотовите синови да го наследат Ароир.'
10. Порано таму живееја Омините, народ голем, многуброен и силен како Енаковците,
11. и се сметаа ме у Рафаините за Енаковците; Моавците, пак, ги нарекуваа Омини.
12. А во Сир живееја порано Хорејците; но синовите Исавови ги изгонија и ги истребија од пред себе и се населија наместо нив - така, како што постапи Израилот со земјата на своето наследство, што им го беше дал Господ.
13. 'И сега, станете и преминете ја долината Заред. 'И ние ја минавме долината Заред.
14. Откако отидовме во Кадес-Варни и ја минавме долината Заред, поминаа триесет и осум години, додека во таборот не изгинаа сите мажи, годни за војна, според она како што им се беше заколнал Господ Бог;
15. пак и раката Господова беше против нив, истребувајќи ги од логорот, дедека сите не изумреа.
16. И тогаш, кога изгинаа сите мажи, годни за војна, и тие умирајќи ме у народот,
17. Господ ми рече, велејќи:
18. 'Ти минуваш сега покрај пределите Моавски, наречени Ароир,
19. и кога ќе се приближиш до Амоновите синови, не судрувај се со нив, ниту почнувај со нив војна, зашто Јас нема да ти дадам ништо во наследство од земјата на Амоновите синови, бидејќи им ја дадов на Лотовите синови со жреб.'
20. Таа се сметаше за земја на Рафаините: порано живееја во неа Рафаините; Амонитите, пак, ги нарекуваа Зомијци;
21. тие беа народ голем, многуброен и јак како Енаковците, и Господ ги истреби пред лицето нивно, и Амонитите ги изгонија и се населија на местото нивно,
22. како што направи за синовите Исавови, кои живеат во Сир, истребувајќи ги пред нив Хорејците, и тие ги изгонија, и се населија на местото нивно и живеат до ден денес.
23. И Евејците, што живееја во Асирот дури до Газа, Кападокијците, кои беа излегле од Кападокија, ги истребија и се населија на местото нивно.
24. 'Станете, тргнете и минете во долината на Арнон; ете, го предавам во раката твоја Сион, царот есевонски, Амореец, и неговата земја; почни да ја наследуваш и војувај против него;
25. од денес Јас ќе почнам да сеам страв и ужас пред тебе врз народите под целото небо; оние, што ќе чујат за тебе, ќе се смутат и ќе се разболат од лицето твое.'
26. И испратив пратеници од пустињата Кадамот при есевонскиот цар Сион, со мирни зборови, за да кажат:
27. 'Дозволи ми да минам преку твојата земја; ќе одам по патот, нема да скршнувам ни десно

ни лево;
28. храна продавај ми за пари, и јас ќе јадам, и вода продавај ми за пари, и јас ќе пијам; само со нозете мои да минам.‘
29. Така, како што му дозволија синовите Исавови, кои живеат во Сир, и Моавците од Ароир, додека не минам преку Јордан во земјата, што Господ, Бог наш, ни ја дава.
30. Но есевонскиот цар Сион не се согласи да минеме преку земјата негова, зашто Господ, Бог наш, го ожесточи духот негов и срцето му го окорави, за да го предаде во раката твоја, како што тоа се виде сега.
31. И му рече Господ: ‘Ете, Јас почнав да ти го предавам Сиона, царот есевонски, Амореецот, и земјата негова; почнувај да ја населуваш земјата негова.‘
32. И сион, царот есевонски, со целиот народ свој излезе против нас во бој при Јаса;
33. и го предаде Господ, Бог наш, во рацете наши и ние го разбивме него, синовите негови и целиот народ негов.
34. Тогаш ги презедовме сите градови негови, ги разоривме сите градови, а и жените и децата не ги оставивме живи;
35. само добитокот им го зедовме и пленот од градовите, што ги презедовме.
36. Од Ароир, кој е при устието на потокот Арнон, и од тој град, кој е во долината, до планината Галад, немаше град, непристапен за нас: се‘ ни предаде Господ, Бог наш, во рацете наши.
37. Само кон земјата на Амонитите не пристапивме ниту до местата, блиски до потокот Јавок ниту кон градовите по планината, ниту до се‘, за кое не ни заповеда Господ, Бог наш.

Глава 3

1. И се свртивме оттаму и појдовме кон Васан, и васанскиот цар Ог излезе во борба против нас со целиот свој народ, при Едраим.
2. И ми рече Господ: 'Не бој се од него, зашто Јас ќе ти го предадам во раката твоја него и целиот народ негов и целата земја негова, и ти ќе направиш со него така, како што направи со аморејскиот цар Сион, кој живееше во Есевон.
3. И Господ, Бог наш, ни го предаде во рацете наши и Ог, царот васански, и целиот народ негов; и го разбивме него, така што од него не остана никој жив.
4. Тогаш му ги презедовма сите градови негови, па не остана град, што не бевме го презеле од нив; шеесет градови, целата област Аргов во царството на Ог васански.
5. Сите тие градови беа утврдени со високи ѕидови, порти и довратници, освен многуте ферезејсни градови.
6. И ние ги поразивме, како што направивме со Сиона, царот есевонски, уништувајќи ги сите градови заедно со жените и децата;
7. а целиот добиток и пленот од градовите го разграбивме.
8. И во тоа време ја презадовме од рацете на двајцата цареви аморејски земјата од онаа половина на Јордан, од потокот Арнон дури до планината Аермон,
9. - Финикијците го викаат Ермон-Сирион, а Аморејците го нарекуваат Сенир.
10. Сите градови во рамнината, целиот Галад и целиот Васан до Салха и Едраим, беа градови од царството на Ог васански;
11. зашто само васанскиот цар Ог остануваше од Рафаините. Ете, одарот му беше железен одар, и сега е во приградието на Амоновите синови: долг девет лакти, а широк - четири лакти, машки лакти.
12. И тогаш ја наследивма таа земја, почнувајќи од Ароир, кој е устие на потокот Арнон; а половината од планината Галад со градовите му ја предадов на Рувимовото и Гадовото племе.
13. остатокот, пак, од Галад и целиот Васан, царството на Ог, му го предадовме половината на Манасиевото племе, целата област Аргов, со цел Васан. Таа земја се нарече Рафаинска.
14. Јаир, Манасиевиот син, ја презеде целата обгласт Аргов, дури до пределите Гаргасински, и Махатински, и ги нарече Јаирови села, според своето име, како што се викаат и до ден денес.
15. На Махир му го дадов Галад;
16. а на племето Рувимово и Гадово им дадов од Галад дури до потокот Аронон, земјата ме у потокот и пределот, до потокот Јавок, пределот на Амоновите синови,
17. исто така и Арав, и Јордан, предел од Маханерет дури до морето арабиско, до Солената Море, под Асидот - Фазга од исток.
18. Тогаш и ви заповедав, велејќи: 'Господ, Бог ваш, ви ја даде таа земја со ждреб; сите способни за војна, откако ќе се вооружите, појдете пред браќата ваши, Израилевите синови;
19. само жените ваши, децата ваши и добитокот ваш, (бидејќи знам, оти имате многу добиток), нека останат во градовите ваши, што ви ги дадов,
20. додека Господ Бог не им даде покој на вашите браќа, како и вам, и додека и тие на ја наследат и таа земја, кој Господ, Бог ваш, им ја дава од онаа страна на Јордан; тогаш вратете се секој во своето наследство, што ви го дадов.'
21. А на Иисуса му заповедав во она време, велејќи: 'Очите ваши видоа се', што Господ, Бог ваш, им направи на тие двајца цареви; исто ќе направи Господ и со сите царства, преку кои ќе минуваш.
22. Не плашете се од нив, зашто Господ, Бог наш, Сам се бори за нас,'
23. И Му се помолив на Господа во она време, велејќи:
24. 'Господи, Боже, Ти почна да го покажуваш на слугата Свој величието Свое и силата Своја и цврстата рака Своја и високата мишка Своја; па има ли некој бог на небото или на земјата, кој би можел да прави такви дела, како Твоите, и со таква моќ, како што е Твојата?
25. Дај ми да минам и да ја видам онаа прекрасна гора и Анти - Ливан.'

26. Но Господ ме презре заради вас и не ме послуша, и ми рече Господ: ‘Доста, во иднина да не ми говориш повеке за тоа;
27. искачи се на врвот на гората и крени ги очите кон морето и кон север, кој југ и кон исток, погледни со очите, зашто нема да го минеш Јордан;
28. упати го Иисуса, поткрепи го и утеши го: зашто тој ке го предводи овој народ и тој ке им го раздели наследството на целата земја, на која ти ке погледнеш.‘
29. И се задржавме во долината близу до домот на Фогор.'

Глава 4

1. 'И така, Израиле, послушај ги наредбите и законите, на кои јас денес ве учам да ги исполнувате, за да бидете живи и да се размножувате и да отидете и да ја наследите онаа земја, кој Господ, Бог на вашите татковци, ви ја дава во наследство;
2. не додавајте ни збор повеке на она што ви го заповедам, ниту да одземате од него; исполнувајте ги заповедите на Господа, вашиот Бог, кои јас денес ви ги предавам;
3. очите ваши видоа се‘, што Господ, Бог наш, му направи на Велфегор; зашто Господ, Бог наш, ке го истреби од средината твоја секој, што ке го следи Велфегор;
4. а вие, кои му припа ате на Господа, вашиот Бог, сите сте живи до ден денес.
5. Ете, ви ги изнесов наредбите и законите, кои ми ги предаде Господ, Бог мој, за да постапувате така во замјата, во која влегувате, за да ја наследите.
6. И така, пазете ги и исполнувајте ги, зашто во тоа е вашата мудрост и вашиот разум пред очите на сите народи, кои, откако ке ги чујат сите тие наредби, ке речат: овој голем народ е мудар и разумен народ.
7. Оти има ли некој голем народ, кому неговиот бог му се приближил толку, како што е близок кон нас Господ, нашиот Бог, кога и да го повикаме?
8. И им ли некој голем народ со такви праведни наредби и закони, како целиот овој закон, што ви го предавам денес?
9. Само пази се и грижливо чувај ја душата своја, за да не ги заборавиш делата, што ги видоа твоите очи, и тие да не излегуваат од срцето твое, во сите денови на твојот живот, и да продолжат така и синовите твои, и синовите на синовите твои.
10. Во оној ден, кога стоевте пред Господа, вашиот Бог, при Хорив, кај скинијата, и кога ми рече Господ: ‘Собери го при Мене народот, за да им ги кажам Моите зборови, од кои ке научат да се бојат од Мене во сите денови на својот земен живот и да ги научат синовите свои.‘
11. Вие се доближивте и застанавте по планината, а планината гореше во оган до самото небо; и имаше темнина, облак и мрак, и ветер.
12. И Господ ви говореше на планината од средината на огнот; гласот на зборовите негови ги чувте, но образ не видовте, туку чувте само глас.
13. И Он ви го објави заветот Свој, и ви заповеда да ги исполнувате десетте заповеди и ги напиша на две камени плочи.
14. Тогаш Господ ми заповеда да ве научам на наредбите и законите, за да ги исполнувате во земјата во која влегувате, да ја наследите.
15. Бидете цврсто убедени во душите свои, бидејки не видовте никакво лице во оној ден, кога Господ ви говореше, во гората Хорив од средината на огнот.
16. Не вршете беззаконија, правејки си ликови вајани, секаков вид ликови на маж или жена,
17. лик на некое животно што е на земјата, лик на некоја перната птица, која лета под небото,
18. лик на секаков гад што пблзи по земјата, лик на секаков вид риба, која е во водата подолу од земјата;
19. и да не се соблазниш ти, кога ке погледнеш кон небото и го видиш сонцето, месечината и ѕвездите и сета убавина небеска, та да им се поклониш и да им послужиш, зашто Господ, твојот Бог, ги определил за сите народи под небото.
20. А вас, пак, Господ Бог ве зеде и ве изведе од железната печка, од Египет, та да бидете народ Негов, како што сте тоа денес.
21. И се разгневи Господ Бог на мене поради вас и се заколна, дека нема да го минам Јордан и нема да влезам во онаа убава земја, што Господ, твојот Бог, ти ја дава во наследство.
22. Јас ке умрам во оваа земја, а да не го минам Јордан, додека вие ке минете и ке ја заземете таа убава земја.
23. Гледајте, да не го заборавите заветот на Господа, вашиот Бог, што Он го склучи со вас, и да ни се правите каквигоде резани ликови, како што ти заповеда Господ, твојот Бог;
24. бидејки Господ твојот Бог, е оган, што гори, Бог ревнител.

25. Ако, пак, ти се родат синови и внуци, и, откако ке поживееете долго на земјата, почнете да вршите беззаконија и направите каковгоде резан лик, со тоа ке направите зло пред очите на Господа, вашиот Бог, и така ке Го разгневите.
26. Денес, еве, ви сведочам со небото и со земјата, дека наскоро ке ја изгубите оваа земја, во која одите да ја наследите од онаа страна на Јордан; нема да останете во неа долго, ами ке загинете.
27. И ке ве растури Господ по сите народи, и ке станете малубројни ме у народите, кај кои ке ве одведе Господ;
28. и таму ке им служите на нивните богови, што рака човечка ги направила од дрво и камен, кои не гледаат и не чујат, не јадат, и не мирисаат.
29. Но таму кога ке Го побарате Господа, вашиот Бог, ке Го најдете, ако Го побарате од се‘ срце и од целата душа во вашата жалост.
30. Кога ке западнеш во тага, и кога сето тоа со време ке те снајде, ти ке Му се обрнеш на Господа, твојот Бог, и ке го чуеш гласот Негов.
31. Господ, твојот Бог, е Бог благ и милосрден; Он нема да те остави, нема да те погуби и нема да го заборави заветот со твоите татковци, на кои со клетва им го потврдил.
32. Зашто, запрашај се за поранешните времиња, што беа пред тебе, од оној ден, кога Бог го создаде човекот на земјата, и од едниот крај на небото до другиот; имало ли нешто такво како ова големо дело, или се чуло ли за слично на него?
33. Го чул ли некој народ некогаш гласот на живиот Бог, Кој говори од оган, како што ти чу, и остана жив?
34. Зар не виде дека Бог отиде и си зеде народ од другите народи преку порази, претскажувања и чудеса, преку војна, и со силна рака, со висока мишка и со големи ужаси, како што направи за вас Господ, вашиот Бог, во Египет пред твоите очи?
35. Тебе ти е дадено да го разбереш тоа, за да знаеше дека само Господ, твојот Бог е Бог и дека нема друг освен Него.
36. Он ти дозволи од небото да го чуеш гласот Негов, за да те научи, а на земјата ти го покажа Својот голем оган, и ти ги слушаше зборовите Негови од огнот;
37. бидејки Он ги засака твоите татковци и ве избра вас, потомците нивни по нив, и те изведе Сам со големата сила Своја од Египет,
38. за да ги порази од пред тебе народите што беа поголеми и посилни од тебе, да те воведе и да ти ја даде земјата нивна во наследство, која сега ја имаш.
39. И така, знај сега и вразуми се, дека Господ, твојот Бог, е Бог на небото горе и на земјата долу, и нема друг освен Него;
40. и пази ги наредбите Негови и заповедите Негови, кои денес ти ги давам за да биде добро за тебе и за твоите синови по тебе и да останеш долго во онаа земја, која Господ, твојот Бог, ти ја дава засекогаш,'
41. Тогаш Мојсеј оддели три града од онаа страна на Јордан, откај изгревот на сонцето,
42. за да избега таму убиец, кој не сакајки ке убие ближен свој, а да не му бил непријател ни вчера, ниту завчера, и, откако ке избега во еден од тие градови, да остане жив.
43. Восор во пустињата, населена од племето Рувимово, и Рамот во Галад, наследство Гадово, и Гавлон во Васан, земја на племето Манасиево.
44. Тоа е законот што Мојсеј им го предложи на синовите Израилеви;
45. тоа се заповедите, наредбите и законите, кои Мојсеј им ги кажа на синовите Израилеви во пустињата откако беа излегле од Египет,
46. од онаа половина на Јордан, во долината во близина на домот Фогоров, во земјата на Аморејскиот цар Сион, кој живееше во Есевон, кого Мојсеј го разби со синовите Израилеви, откако беа излезени од Египет.
47. И ја наследија земјата негова и земјата на васанскиот цар Ог, обајцата цареви на Амореја, која е од онаа половина на Јордан, откај изгревот на сонцето,
48. од Ароир, при устието на потокот Арнон, до планината Сион, тоа е и Ермон;

49. и целиот Арав од оваа страна на Јордан кон исток, под самиот Асидот.

Глава 5

1. Тогаш Мојсеј го свика сиот Израил и им рече: 'Слушај ги, Израиле, наредбите и законите што ви ги кажувам денес во ушите ваши, научете ги и трудете се да ги исполнувате.
2. Господ, нашиот Бог, склучи со вас завет на Хорив.
3. Тој завет Господ не го склучи со нашите татковци, туку со нас, кои сме сега тука сите живи.
4. Лице кон лице ви говореше Господ вам на планината од огнот:
5. ја, пак, стоев ме у Господа и ме у вас во тоа време, за да ви ги пренесувам зборовите Господови, бидејки вие се плашевте од огнот и не излеговте на планината. Он тогаш рече:
6. 'Јас сум Господ, твојот Бог, Кој те изведов од Египетската земја, од домот на ропството;
7. да немаш други богови пред лицето Мое!
8. Не прави идоли и никакви ликови на она, што е на небото горе, и што е на земјата долу, и што е во водите под земјата,
9. не им се клањај и не им служи; зашто Јас сум Господ, Бог твој, Бог ревнител, кој, за гревот на татковците што Ме мразат ги казнувам децата, до третото и четвртото колено,
10. и Кој покажува милост до иљадници поколенија кон оние, кои Ме сакаат и ги пазат заповедите Мои.
11. Не изговарај го напразно името на Господа, твојот Бог; зашто Господ, твојот Бог, нема да го очисти оној, што го употребува името Негово напразно!
12. Пази го саботниот ден, за да ти биде свет, како што ти заповедал Господ, твојот Бог;
13. шест дена работи и врши ги сите работи,
14. а седмиот ден е сабота на Господа, твојот Бог: не врши во него никаква работа, ни ти, ни синот твој, ни керката твоја, ни робот твој, ни робинката твоја, ни волот твој, ни оселот твој, ниту некој твој добиток, ниту придојдениот твој, кој е кај тебе, за да си почине робот твој и робинката твоја и оселот твој, како и ти.
15. И запомни, дека ти беше роб во Египетската земја, но Господ, твојот Бог, те изведе оттаму со цврста рака и со висока мишка; затоа и ти заповеда Господ, твојот Бог, да го почитуваш саботниот ден и да ти е свет.
16. Почитувај го таткото твој и мајката твоја, како што ти заповеда Господ, твојот Бог, за да живееш долго и да ти биде добро во онаа земја, што ти ја дава Господ, твојот Бог.
17. Не убивај!
18. Не врши прељуба!
19. Не кради!
20. Не сведочи лажно против ближниот свој!
21. Не ја пожелувај жената на ближниот свој и не го пожелувај домот на ближниот свој, ниту нивата негова, ниту робот негов, ниту робинката негова, ниту волот негов, ниту оселот негов ниту како и да било добиток негов, ниту нешто друго, кое е на ближниот твој!‘
22. Тие зборови ги изрече Господ громогласно кон целото ваше собрание на планината од огнот, облакот и мракот, и повеке не говореше, и ги напиша на две камени плочи и ми ги предаде.
23. И кога го чувте гласот од мракот, и планината гореше во оган, вие се приближивте до мене, сите началници на вашите племиња и старешините ваши,
24. говорејки: ‘Ете, ни ја покажа Господ, нашиот Бог, славата Своја и го чувме гласот Негов од огнот; денес видовме, дека Господ му говореше на човек, и тој остана жив.
25. А зошто сега да умреме? Бидејки тој голем оган ке не изгори; ако пак гу чуеме гласот на Господа, нашиот Бог, ке умреме;
26. кое е тоа тело што го чуло, како ние, гласот на живиот Бог, Кој говореше од огнот, а да останало живо?
27. Пристапи ти и послушај се‘, што ти вели Господ, нашиот Бог, кажи ни се‘, што ке ти каже Господ, нашиот Бог, а ние ке послушаме и така ке правиме.‘
28. И Господ ги чу вашите зборови, како разговаравте со мене, и ми рече Господ: ‘Ги чув

зборовите на твојот народ, кој ти говореше; се‘ што рекоа, е добро.
29. О, да имаа тие такво срце, та да се плашеа од Мене и да ги слушаа сите заповеди Мои во сите денови, тогаш ке им беше добро ним и на синовите нивни во веки!‘
30. Оди и кажи им: ‘Ватете се во домовите ваши!
31. а ти остани тука со Мене, и Јас ке ти го кажам сите заповеди, наредби и закони, на кои треба да ги научиш, како да постапуваат во онаа земја, што им ја давам во наследство.‘
32. Гледајте да постапувате така, како што ви заповеда Господ, вашиот Бог, не скршнувајте ни десно, ни лево;
33. одете по патот, по кој ви заповеда Господ, вашиот Бог, за да бидете живи и да ви биде добро и да поживеете долго време во онаа земја, што ке ја добиете во наследство.'

Глава 6

1. 'Ова се заповедите, наредбите и законите, на кои заповеда Господ, Бог ваш, да ве научам, како да постапувате во онаа земја, во која одите да ја наследите:
2. да се плашиш од Господа, твојот Бог, и сите Негови наредби и заповеди Негови, кои денес ти ги кажувам, да ги пазиш ти и синовите твои и внуците твои во сите денови на животот твој, за да живееш долго.
3. И така, чуј Израиле, и потруди се да го исполнуваш тоа, за да ти биде добро, и да се намножите многу многу, како што Господ, Бог на татковците ваши, им беше рекол, дека тебе ке ти даде земја, каде што тече мед и млеко. (Тоа се наредбите и законите, што им ги заповеда Господ Бог на синовите Израилеви во пустињата, откако излегоа од Египетската земја.)
4. Почуј, Израиле: Господ, нашиот Бог, е единствен Господ,
5. сакај Го Господа, твојот Бог, од се‘ срце, со сета душа твоја и со сите сили твои!
6. Овие зборови, што ти ги заповедам денес, да бидат во срцето твое и во душата твоја;
7. и пренесувај им ги на децата свои и говори за нив, кога седиш дома и кога си на пат, кога си легнуваш и кога стануваш;
8. и врзи ги на раката своја како знак и да ти биде тој непоколеблив пред очите твои,
9. и напишете ги на надвратникот на куките ваши на вратите ваши.
10. Кога, пак, ке те воведе Господ, твојот Бог, во онаа земја, за која Он им се заколна на татковците твои - Авраама, Исака и Јакова, да ти ја даде со големи и убави градови, што ти не си ги градел,
11. и со куки, полни со секое добро, со кое ти не си ги наполнил, и со кладенци ископани, што ти не си ги копал, со лозја и маслини, кои ти не си ги садел, па јади и наситувај се!
12. Тогаш пази да не се одврати срцето твое и да Го заборавиш Господа, Кој те изведе од Египетската земја, од домот на ропството.
13. Бој се од Господа, твојот Бог, и само Нему служи Му, и кон Него биди приврзан и во Негово име колни се!
14. Не одете по други богови, богови на оние народи, што ке бидат околу вас;
15. зашто Господ, твојот Бог, Кој е покрај тебе, е Бог ревнител; за да не се разгори гневот на Господа, твојот Бог, против тебе, и да не те истреби Он од лицето на земјата.
16. Не искушувајте Го Господа, вашиот Бог, како што Го искушувавте во Маса.
17. Пазете ги цврсто заповедите на Господа, вашиот Бог, и законите Негови и наредбите, што ти ги заповедав тебе;
18. и вршете го она што е право и добро пред очите на Господа, твојот Бог, за да ти биде добро и да влезеш и да ја наследиш добрата земја, за која Господ со клетва им ја вети на татковците ваши,
19. и дека Он ке ги изгони сите твои непријатели од пред тебе, како што говореше Господ.
20. Ако еден ден синот твој те запраше, велејки: ‘Што значат тие заповеди, наредби и закони, кои ви ги заповеда Господ, Бог ваш?‘
21. Кажи му ги тогаш на синот твој: ‘Ние бевме робови на Фараонот во Египет, но Господ Бог не‘ изведе од Египет со силна рака и цврста мишка,
22. и покажа Господ Бог знаци и големи чуда и поразии над Египет, над Фараонот и над целиот дом негов и над војската негова, пред очите наши;
23. и нас не‘ изведе Господ Бог оттаму за да не‘ воведе и ни ја даде оваа земја, за која Господ Бог им се заколна на нашите татковци дека ке ни ја даде.
24. И ни заповеда Господ да ги исполнуваме сите тие наредби, да се боиме од Господа, нашиот Бог, за да ни биде добро во сите денови, за да си го зачуваме животот свој, како и денес.
25. И ке имаме милост, ако се трудиме да ги извршуваме сите тие заповеди на законот пред Господа, нашиот Бог, како што ни заповеда Он.‘

Глава 7

1. 'Кога Гсопод, твојот Бог, ке те воведе во земјата, во која ти одиш, за да ја наследиш, и ги изгони од пред тебе многубојните народи: Хетејците, Гергесијците, Аморејците, Хананејците, Ферезејците, Евејците и Јевусејците, - седум народи, кои се побројни и посилни од вас.
2. И ке ти ги предаде Господ, твојот Бог, во рацете твои, и ги разбиеш, - тогаш предај ги на клетва, не прави со нив сојуз и немој да ги помилуваш;
3. и не се ородувај со нив: керката своја не ја давај на синот негов, и керката негова не земја ја за синот твој,
4. зашто тие ке ги одвратат синовите твои од Мене, за да им служат на други богови, тогаш ке се разгори врз вас гневот на Господа и Он ке те истреби.
5. Но постапете со нив вака: жртвениците нивни разрушете им ги, столбовите нивни разбијте ги и дабовите нивни исечете ги и резаните ликови нивни со оган изгорете ги;
6. зашто ти си свет народ на Господа, твојот Бог; тебе те избра Господ, твојот Бог, за да бидеш негов соспствен народ ме у сите народи, што се на земјата.
7. Не затоа, дека сте побројни од сите народи, ве прими Господ и ве избра, - бидејки вие сте помалубројни од сите народи, -
8. туку затоа што Господ ве засака и за да ја одржи клетвата, со која Он им се беше заколнал на татковците ваши, и ве изведе Господ со силна рака и цврста мишка и те ослоободи од домот на ропството, од раката на Фараонот, египетскиот цар.
9. И така, знај дека Господ, твојот Бог, е Бог верен, Кој го пази од иљада поколенија Својот завет и има милост кон оние што Го сакаат и ги извршуваат заповедите Негови;
10. а оние, што Го мразат, ги казнува нив, и ги погубува; Он не заборава да го казни тпкму оној, кој Го мрази.
11. И така, пази ги овие заповеди, наредби и закони, кои денес ти ги кажувам и да ги исполнуваш.
12. И ако ги слушате сите овие закони и ги пазите и исполнувате, Господ, твојот Бог, ке го пази заветот и милоста кон тебе, како што им се заколна Он на татковците ваши;
13. ке те засака, ке те благослови, ке те намножи и ке го благослови плодот на утробата твоја и плодот на земјата твоја: пченицата твоја, и виното твое, и елејот твој, и родот на воловите твои, и стадата на овците твои, во онаа земја, за која Он им се заколна на татковците твои дека ке ти ја даде;
14. благословен ке бидеш повеке од сите народи: нема да има ни бесплоден ме у вас, ни бесплоден ме у добитокот твој;
15. и ке ја отстрани од тебе Господ, твојот Бог, секоја немок, и никакви лути египетски болести, што си ги видел, и кои ги знаеш, нама да испрати врз тебе, и ке ги испрати на сите што те мразат;
16. и ке ги уништиш сите народи, што Господ, твојот Бог, ти ги дава: и да не бидат поштедени пред окото твое; и не служи им на боговите нивни, бидејки тоа е јамка за тебе.
17. Ако кажеш со срцето свое: ‘овие народи се побројни од мене, како можам да ги поразам?‘
18. не плаши се од нив, спомни си, што направи Господ, твојот Бог, со Фараонот и со целиот Египет.
19. Сети се за оние големи искушенија што ти ги видоа очите твои, на оние знаци, и на големите чуда и на силната рака и цврстата мишка, со кои те изведе Господ, твојот Бог; тоа исто ке го направи Господ, твојот Бог, и со сите народи, од кои се боиш;
20. И стршели ке испрати Господ, твојот Бог врз нив, додека не загинат оние што останале и оние што се сокриле пред тебе;
21. не плаши се од нив, бидејки Господ, твојот Бог, е со тебе; Бог голем и силен.
22. И Господ, твојот Бог, ке ги прогонува од пред тебе тие народи малку по малку; ти не можеш брзо да ги истребиш, за да не стане замјата пуста и да се намножат против тебе дивите ѕверови;

23. но ке ти ги предава Господ, твојот Бог, во рацете твои, и ке ги победиш во големи борби, се‘ додека не загинат;
24. и ке ги предаде во твоите раце царевите нивни, и ти ке го истребиш името нивно од под небото: никој нема да устои против тебе додека не ги истребиш.
25. Ликовите на боговите нивни со оган изгорете ги; да не ти се присака да го земеш среброто или златото, што е на нив, за да не биде тоа за тебе јамка, бидејки е тоа одвратност пред Господа, твојот Бог;
26. и не ја внесувај гнасотијата во домот свој, за да не бидеш проколнат, како тие; одвракај се од тоа и гнаси се од него, бидејки тоа е проклетство.

Глава 8

1. 'Сите заповеди, кои денес ви ги кажувам, настојувајте да ги исполнувате, за да бидете живи и да се множите, и да отидете и да ја наследите добрата замја, која Господ Бог со клетва им ја вети на вашите татковци.
2. И помни го целиот пат, по кој што те водеше Господ, твојот Бог, по пустињата еве веке четириесет години, за да те искуша и да дознае што е во срцето твое, дали ги почитуваш заповедите Негови, или, пак, не.
3. Он те смируваше, те мачеше со глад и те хранеше со мана, која ти не ја знаеше, не ја знаеја ни твоите татковци, за да ти покаже, дека човекот не живее само од леб, но човекот живее и од секој збор што излегува од устата на Господа;
4. облеката твоја не изветве на тебе, и ногата твоја не отече, еве веке четириесет години.
5. И знај во срцето свое, дека Господ, твојот Бог, те казнува како што човекот го казнува синот свој.
6. Затоа почитувај ги заповедите на Господа, твојот Бог, оди по патиштата Негови и бој се од Него.
7. Зашто Господ, твојот Бог, те води во добра и богата земја, каде што по полињата и планините, течат потоци, а има и извори и езера,
8. во земјата на пченицата, јачменот, лозјата, смоквите и калинките; во земја, каде што има маслинов елеј и мед;
9. во земја, каде што ке го јадеш лебот свој без недостаток и од ништо нема да имаш потреба, - во земја, каде што камењата се железо, и од планините ке копаш бакар.
10. И кога ке јадеш и ке бидеш сит, благословувај Го Господа, твојот Бог, за добрата земја, што ти ја даде.
11. Гледај да не го заборавиш Господа, твојот Бог, не почитувајки ги заповедите Негови и наредбите Негови, кои денес ти ги кажувам.
12. Кога ке јадеш и ке бидеш сит, и изградиш убави куки и ке се вселиш во нив,
13. кога ке ти се намножат говедата и овците и кога се збогатиш со многу сребро и злато, и од се‘ ке имаш во изобилие,
14. гледај, да не се возгордее срцето твое, та да заборавиш на Господа, твојот Бог, Кој те изведе од Египетската замја, од домот на ропството;
15. Кој те преведе преку големата и страшна пустиња, каде што има змии што загризуваат, скорпии и суви места, во кои нема вода; Кој ти извади вода од најтврда карпа, и
16. те хранеше во пустињата со мана, која ти не ја знаеше, а и таковците твои не ја знаеја, за да те смири и да те искуша, па да ти направи потоа добро,
17. и за да не кажеш во срцето свое: ‘мојата сила и цврстината на мојата рака го здобија ова богатство,‘
18. но да Го помниш Господа, твојот Бог, зашто Он ти даде сила за да се здобиеш со богатство, за да го исполни, како денес, Својот завет, кој со клетва го беше потврдил на татковците твои.
19. Ако пак Го заборавиш Господа, твојот Бог, и тргнеш по други богови, служејки им и поклонувајки им се, ви сведочам денес со небото и со земјата, дека ке изгинете;
20. онака како народите, кои Господ Бог ги уништи пред вас: така ке загинете и вие, затоа што не го послушавте гласот на Господа, вашиот Бог.'

Глава 9

1. Чуј, Израиле: ти денес ќе го минеш Јордан да завладееш народи, поголеми и посилни од вас,
градови големи, со тврдини до небеса,
2. луѓе големи, и многубројни, и високи, Енаковите синови, за кои знаеш и си слушал: ‘Кој може
да им се противстави на Енаковите синови?‘
3. Но сега знај, дека Господ, твојот Бог, е пред тебе како оган, што гори: Он ќе ги одврати од
лицето твое и наскоро ќе ги истреби, како што ти рече тебе Господ.
4. Кога ќе ги изгони Господ, твојот Бог, пред тебе, немој да речеш во срцето свое: ‘Заради
мојата праведност ме доведе Господ да ја наследам таа добра земја;‘
5. не заради праведноста твоја и не заради правината на срцето твое ти одиш да ја наследиш
земјата нивна, туку поради беззаконијата на тие народи Господ, твојот Бог, го изгони од пред
тебе, и за да го одржи заветот, за кој им се заколна Господ на татковците ваши: Авраама,
Исака и Јакова;
6. затоа знај сега, дека не заради праведноста твоја Господ, твојот Бог, ти дава да ја наследиш
таа добра земја, - бидејќи вие сте луѓе жестоки.
7. Запомни и не заборавај, колку Го разгневивте Господа, вашиот Бог, во пустињата: од оној
ден, кога излеговте од Египетската земја, па се‘ додека пристигнавте на ова место, вие не Му
се покоривте на Господа.
8. и при Хорив вие Го разгневивте Господа, и се разгневи Господ на вас, така што сакаше да ве
истреби,
9. кога јас се искачив на планината, за да ги примам камените плочи, плочите на заветот, што
Господ ви ги беше ветил вам; и останав на планината четиеисет дена и четириесет ноќи, леб
на јадев и вода не пиев;
10. и ми ги даде Господ двете камени плочи, напишани со Божји прст, а на нив беа напишани
сите зборови, што ви ги изрече Господ на планината среде огнот во денот на собранието.
11. Откако изминаа четириесет дена и четириесет ноќи, Господ ми ги даде двете камени
плочи, плочите на заветот,
12. и ми рече Господ: ‘Стани, оди си поскоро оттука, зашто твојот народ, што го изведе од
Египет, се разврати многу брзо; тие се отстранија од патот, што им го заповедав; тие си
направија идол.‘
13. И ми рече Господ: ‘Јас ти говорев еднаш и двапати: го гледам тој народ, ете, тој е народ
жесток;
14. остави Ме да ги уништам и да го избришам името нивно од под небото, а од тебе да
направам народ поголем, посилен и помногуброен од нив.‘
15. Јас се свртив и слегов од планината, а планината гореше во оган; двете плочи на заветот
беа во обете мои раце;
16. и видов, дека вие бевте згрешиле против Господа, вашиот Бог, бевте си направиле излеано
теле, и наскоро бевте отстапиле од патот, што ви го беше заповедал Господ да го држите;
17. тогаш ги зедов двете плочи, ги фрлив од рацете свои, па ги скршив пред вас.
18. И Му се помолив на Господа пак, како и порано, и пак четириесет дена и четириесет ноќи
леб на јадев и вода не пиев, за сите ваши гревови, со кои згрешивте, зашто извршивте зло
пред Господа, вашиот Бог, и Го разгневивте;
19. бидејќи јас се плашев од гневот и јароста, со која Господ се разгневи на вас и сакаше да ве
истреби. Но Господ ме послуша и тогаш.
20. А и на Арона силно се разгневи Господ и сакаше да го погуби; но јас тогаш се молев и за
Арона.
21. А гревот ваш, што го направивте, телето, го зедов, го изгорев во оган, го скршив, и го
уништив, откако го здробив, така што стана ситен прав, и јас го фрлив тој прав во потокот што
течеше од планината.
22. И во Тавер, и во Маса и во местото: Киврот-Атави вие Го разгневивте Господа, вашиот Бог.

23. И кога Господ ве прати од Кадис-Варни, со зборовите: ‘Одете и наследете ја земјата, што ви ја давам,‘ - вие и‘ се противставивте на зеповедта на Господа, вашиот Бог, и не Му поверувавте и не го послушавте гласот Негов.
24. Вие Му бевте непокорни на Господа уште од оној ден, откога ве запознав.
25. И Му се молев на Господа, Го молев четириесет дена и четириесет ноки, бидејки Господ сакаше да ве истреби;
26. Му се молев на Господа и реков: ‘Господи, Господи, Цару на боговите, не погубувај го Својот народ и Своето наследство, што го избави со големата Твоја сила, што го изведе од Египет со силна рака и цврста мишка;
27. спомни Си за Твоите слуги Авраама, Исака и Јакова, на кои им се заколна со Себе; не глдај на жестокоста на овие лу е, ниту на нечесноста нивна, ниту пак на гревовите нивни,
28. за да не речат жителите на оваа земја, од каде што не‘ изведе: - Господ не можеше да ги воведе во земјата, што им ја беше ветил, и од омраза спрема нив ги изведе, за да ги истреби во пустињата, -
29. а пак овие лу е се Твои и Твој избор, што Ти ги изведе од Египетската замја со големата сила Своја и цврстата Своја мишка.‘

Глава 10

1. Тогаш Господ му рече: 'Исечи си две камени плочи, слични на првите, и дојди при Мене на планината, и направи си дрвен ковчег.
2. А Јас ке ги напишам на плочите оние зборови што беа на поранешните плочи напишани, а кои ти ги скрши, и положи ги во ковчегот.'
3. И направив ковчег од дрво што не гние, па исеков две камени плочи, како поранешните, и отидов на планината со двете плочи во рацете.
4. И ги напиша Он на плочите, како што беше напишано порано, оние десет заповеди, што ви ги кажа Господ на планината среде огнот во денот на собранието, и ми ги предаде Господ.
5. Јас се свртив и слегов од планината и ги положив плочите во ковчегот, што го бев направил, за да бидат тие таму, како што ми заповеда Господ.'
6. Потоа се кренаа синовите Израилеви од Вирот на синовите Јакимови во Мисадај; и умре Арон и таму беше погребан, а местото негово свештеник стана синот негов Елеазар.
7. Оттаму отидоа во Гадад, а од Гадад во Етавата, во земјата со водни потоци.
8. Тогаш Господ го оддели Левиевото племе, за да го носи ковчегот на заветот Господов, за да стои пред Госдпода и да Му служи, и да се моли и да благословува во името Негово, како што е тоа и до ден денес;
9. поради тоа левитите немаат дел и наследство со браката свои: Самиот Господ е нивни дел, како што им беше говорел Господ, твојот Бог.
10. И престојував на планината, како и порано, четириесет дена и четириесет ноки; Господ ме послуша и овој пат, и не посака Господ да ве погуби;
11. и Господ ми рече: ‘Стани, тргни на пат пред својот народ; нека отидат и нека ја населат земјата, за која им се заколнав на татковците нивни дека ке им ја дадам.‘
12. И сега, Израиле, што бара од тебе Господ, твојот Бог? Само да се боиш од Господа, твојот Бог, да одиш по сите Негови патишта, да Го сакаш, и да Му служиш на Господа, твојот Бог, од се‘ срце и со сета душа;
13. да ги пазиш заповедите на Господа, твојот Бог, и наредбите Негови, кои денеска ти ги заповедам за да ти биде добро.
14. Ете, небото и небото на небесата, земјата и се‘ што е на неа, е на Господа, твојот Бог;
15. но само татковците ваши ги прими Господ и ги засака, и ве избра вас, нивното семе по нив, од сите народи, како што гледаш денес.
16. И така, обрежајте ја вашата жестокосрдечност и не ожесточувајте никого;
17. зашто Господ, вашиот Бог, е Бог на боговите и Господар на господарите, Бог голем, силен и страшен, Кој не гледа на лице и не зема дарови,
18. Кој право суди на придојден, на сирак и на вдовица, го сака придојдениот и му дава леб и облека.
19. Сакајте го и вие придојдениот, бидејки и вие самите бевте придојдени во Египетската земја.
20. Бој се од Господа, твојот Бог, и само Нему служи Му, кон Него приврзи се и во Негово име колни се;
21. Он е твојата пофалба, Он е твој Бог, Кој поради тебе ги направи оние големи и славни дела, што ги видоа очите твои;
22. твоите татковци дојдоа во Египет седумдесет и пет души, а сега Господ, твојот Бог, те направи многуброен како ѕвездите небески.

Глава 11

1. И така, сакај Го Господа, твојот Бог, и внимавај - она што го заповедал да го пазиш, - и наредбите Негови, и законите Негови, и заповедите Негови во сите денови.
2. Па разберете сега, - бидејќи јас не зборувам со синовите ваши, кои не ги знаат и не ги виделе казните од Господа, вашиот Бог, - Неговото величие, Неговата силна рака и Неговата цврста мишка;
3. чудесата Негови и делата Негови, што ги направи среде Египет со Фараонот, царот египетски, и со целата земја негова,
4. и она што го направи Он со египетската војска, со коњите и колите, што ги потопи Он во водите на Црвеното Море, кога тие ве гонеа, - и Господ Бог ги погубува дури и денес, -
5. и што направи Он за вас во пустињата, додека не дојдовте на тоа место,
6. и што направи Он со Датан и Авирон, синовите на Елиав, син Рувимов, кога земјата ја отвори устата и пред целиот Израил ги голтна нив и домовите нивни, и куките нивни и целиот имот, што го имаа;
7. зашто вашите очи ги видоа сите тие големи дела на Господа, што ги направи Он.
8. И така, пазете ги сите Негови заповеди, кои ви ги кажувам денес, за да бидете живи, да се намножите, па да отидете и да ја неследите земјата, сите кои преминувате преку Јордан, за да ја наследите;
9. и да живеете долго време во онаа земја, за која Господ им се заколна на татковците ваши дека ке им ја даде ним, и на поколенијата нивни, земјата, во која тече мед и млеко.
10. Зашто земјата, во кој одиш да ја наследиш, не е како Египетската земја, од која излеговте, каде што ти, одкако ке го посееше семето свое, ја напојуваше со нозете свои, како зеленчукова градина.
11. Земјата, пак, во која одите, за да ја наследите, е земја со планини, и се напојува со вода од небескиот дожд, -
12. земја, за која Господ, твојот Бог, се грижи: очите на Господа, твојот Бог, непрестајно се врз неа, од почетокот на годината и до крајот на годината.
13. Ако ги слушате заповедите Негови, кои ви ги кажувам денес, ако Го сакаш Господа, твојот Бог, и Му служиш од сето срце твое и од сета душа твоја,
14. Он ке и‘ даде на земјата твоја дожд навреме, ран и доцен, и ти ке го собираш житото свое виното свое и елејот свој;
15. И ке му даде трева на полето твое за твојот добиток и ти ке јадеш и ке бидеш сит.
16. Но пази, да не се соблазни срцето твое, па да пристапите и да им служите на други богови и да им се клањате;
17. зашто тогаш ке се разгори гневот на Господа врз вас, и Он ке го затвори небото; и нема да има дожд, и земјата нема да го даде својот плод и вие брзо ке исчезнете од добрата земја, која Господ ви ја даде.
18. И така, ставете ги овие зборови Негови во срцето свое и во душата своја, врзете ги на раката своја како знак, и нека бидат тие врзулка ме у очите ваши;
19. учете ги синовите свои на нив, кажувајте им за нив, кога седиш дома и кога си на пат, кога си легнуваш и кога стануваш;
20. и напишете ги врз входот на куките ваши и над вратите свои,
21. за да се умножат вашите денови и деновите на вашите деца во онаа земја, за која Господ се заколна дека ке им ја даде на татковците ваши, колку што небото ке биде над земјата.
22. Зашто, ако ги пазите сите тие заповеди, што ви ги кажувам и ги исполнувате, ако Го сакате Господа, вашиот Бог, ако одите по сите патишта Негови и се приврзете кон Него,
23. тогаш Господ ке ги изгони сите тие народи од пред вас, и вие ке владеете со народи, што се поголеми и посилни од вас;
24. секое место, на кое ке стапи ногата ваша, ке биде ваше: вашите предели ке бидат од пустињата и Антиливан, и од големата река Еуфрат, дури до морето, кое е на запад.

25. Никој нема да ви се противстави вам: Господ, вашиот Бог, ке испрати страв и трепет пред вас врз секоја земја, на која што ке стапнете, како што ви говореше Он.
26. Ете, јас ви давам денес благослов и клетва;
27. благослов - ако ги послушате заповедите на Господа, вашиот Бог, што ви заповедам денес,
28. а клетва - ако не ги послушате заповедите на Господа, вашиот Бог, и се отстраните од патот, што ви го кажувам денес, и тргнете по други богови, што не ги знете.
29. Кога ке те воведе Господ, твојот Бог, во онаа земја во која одиш да ја наследиш, тогаш искажи благослов од планината Гаризин, а проклетство од планината Гевал.
30. Тие планини се од онаа страна на Јордан, по патот кон зајдисонце, во земјата на Хананејците, кои живеат во рамнината, спроти Галгал, близу до високиот даб!
31. Зашто вие го поминувате Јордан, за да отидете да ја наследите земјата, која ви ја дава Господ, вашиот Бог, со жреб, за секогаш; примете ја и населете се во неа.
32. И така, почнете да ги пазите сите Негови наредби и закони, што ви ги предавам денес.

Глава 12

1. Ова се наредбите и законите, што сте должни грижливо да ги исполнувате во земјата, која Господ, Бог на татковците, ви ја дава со жреб за сите денови, во кои ке живеете во таа земја.
2. Разрушете ги сите места, каде што народите им служеле на боговите свои; се‘ што ке земете по високите планини и височини и под секое разгранато дрво;
3. разурнете ги жртвениците нивни и скршете ги столбовите нивни, изгорете ги со оган дабовите нивни и здробете ги идолите на боговите нивни, сотрете го и името нивно од тоа место.
4. Да не Му правите такво нешто на Господа, вашиот Бог;
5. но обрнувајте се кон она место, кое Господ, Бог ваш, ке го избере од сите племиња ваши, за да го спомнувате името Негово да го призивате и да Го молите, и таму одете:
6. таму принесувајте ги своите сепаленици, жртвите ваши и првините ваши, заветите ваши, доброволните приноси, исповеданијата ваши, и првородените од воловите ваши и од овците ваши:
7. и таму јадете пред Господа, вашиот Бог, и веселете се вие и домовите ваши за се‘, приготвено од рацете ваши, со кое те благословил Господ, твојот Бог.
8. Таму не треба да правите се‘ онака, како што сега овде го правите, - секој, како што му се чини дека е добро;
9. зашто сега уште не сте влегле во местото на спокојот и во наследството, што Господ, вашиот Бог, ви го дава.
10. Но кога ке го преминете Јордан и ке се населите во земјата, која Господ, вашиот Бог, ви ја дава како дел, и кога ке ве успокои од сите непријатели ваши, што ве опкружуваат, и заживеете базбедно,
11. тогаш, во она место, што ке го одбере Господ, вашиот Бог, за да се призива таму името Негово, таму принесувајте се‘, што ви заповедам денес: сепаленици ваши, жртвите ваши, десетоците ваши, и првините од рацете ваши, и секој ваш избран дар, што ке Му го ветите на Господа, вашиот Бог.
12. И веселете се пред Господа, вашиот Бог, вие и синовите, керките ваши, робовите ваши, робинките ваши и левитите, кои се среде живеалиштата ваши, бидејки тие немаат дел и наследство со вас.
13. Гледај да не ги принесуваш сепалениците свои на секое место, што ке го видиш,
14. туку само на она место принесувај ги сепалениците свои, кое Господ, твојот Бог ке го одбере во едно од твоите племиња, и прави се‘ онака како што ти заповедам денес.
15. Зашто, кога и да посака душата твоја, можеш да колеш и да јадеш, по благослов од Господа, твојот Бог, месо, што ти го дал Он, во сите свои живеалишта: нечист при тебе и чист може да го јаде тоа како што се јаде срна и елен;
16. само крв не јадете, истурајте ја на земјата како вода.
17. Не треба да го јадеш во твоето живеалиште десетокот од твоето жито, твоето вино и твојот елеј од воловите твои, и од овците твои што си ги ветил, и од сите завети твои, што сте ги ветиле, и од доброволните приноси и од првините на рацете ваши,
18. но јади го пред Господа, твојот Бог, само на она место што го одбрал Господ, твој Бог, ти и синот твој, и керката твоја, и робот твој, и робинката твоја, и левитот, и придојдениот во градовите твои: и развесели се пред Господа, твојот Бог, во се‘ на што е ставена раката твоја.
19. Внимавај да не го заборавиш левитот за сето време додека си жив на земјата.
20. Кога ке ги рашири Господ, твојот Бог, пределите твои, како што ти беше говорел, и ти ке кажеш: ‘да јадам месо‘, зашто душата твоја ке посака да јаде месо, - тогаш јади месо, колку што ти сака душата твоја.
21. Ако биде далеку од тебе местото, што ке го избере Господ, твојот Бог, за да се призива името Негово таму, тогаш коли од воловите твои, и од овците твои, што ти ги дал Господ, твојот Бог, како што ти заповедав, и јади во градовите твои, колку што ти сака душата;

22. но јади ги така, како што се јаде срна и елен; нечист, како и чист при тебе можат да го јадат тоа.
23. Само пази добро, да не се јаде крвта, зашто крвта е душа: не ја јади душата заедно со месото;
24. на јади ја: истурај ја на земја како вода;
25. не јади ја, за да ти биде добро тебе и на синовите твои по тебе секогаш, ако вршиш што е добро и угодно пред очите на Господа, твојот Бог.
26. Само светите дарови твои, какви што ке ги имаш и заветите твои донесувај ги, и доа ај на она место, што ке го одбере Господ, твојот Бог, за да се призива таму името Негово;
27. и принесувај ги сепалениците твои: месо и крв, врз жртвеникот на Господа, твојот Бог; но крвта од другите твои жртви треба да биде изливана при жртвеникот на Господа, твојот Бог, а месото јади го.
28. Пази и слушај да ги извршуваш сите тие зборови, што ти ги заповедам, за ти биде добро тебе и на твоите синови по тебе довека, ако правиш добро и угодно пред Господа, твојот Бог.
29. Кога Господ, твојот Бог, ке ги истреби од лицето твое народите, кај кои одиш за да ја наследиш нивната земја, и, откако ја примиш во наследство и ке ги освоиш, ке се населиш во земјата нивна,
30. внимавај да не влезеш во стапица, кога ке тргнеш по нив, откако ке бидат истребени пред тебе, и да не ги бараш боговите нивни, велејки: ‘како што служеле тие народи на боговите свои, така ке правам и јас.‘
31. Да не Му правиш така ти на Господа, твојот Бог; одвратно Му е на Господа што го прават тие на боговите свои, бедејки тие и синовите свои и керките свои ги горат на оган за своите богови.
32. Погрижи се да исполнуваш се‘, што ти го заповедам денес; не додавај кон тоа и не одземај од него.

Глава 13

1. Ако излезе пред тебе некој пророк, или толкувач на соништа, и ти покаже знак или чудо,
2. и ако се оствари тој знак или чудо, за кое тој ти говорел, па потоа ти рече: ‘да одиме да служиме на други богови, кои ти не ги познаваш,‘
3. ти не го слушај гласот на таков пророк, или на таков толкувач на соништа; бидејки преку тоа Господ, вашиот Бог, ве искушува, за да дознае, дали Го сакате Господа, вашиот Бог, со сето свое срце и со сета своја душа.
4. Господа, вашиот Бог, следете Го, бојте се од Него, извршувајте ги Неговите заповеди и слушајте го гласот Негов, и Нему служете Му и бидете приврзани кон Него.
5. А оној пророк, или оној толкувач на соништа да биде осуден на смрт, поради тоа што те измамил да се откажеш од Господа, твојот Бог, Кој те изведе од Египетската земја и те избави од домот на ропството, зашто сакал да те одврати од патот, по кој Господ, твојот Бог, ти беше заповедал да одиш; така истребете го злото од околината ваша.
6. Ако тајно те наговорува братот твој од твојот татко или од мајката твој, или твојот син, или керката твоја, или саканата жена твоја, или пријателот твој, кои е за тебе како душата твоја, па ти рече: ‘да одиме и да им служиме на други богови‘, што не ги познаваше ти и твоите татковци,
7. на боговите на оние народи, што се околу тебе, од едниот крај на земјата до другиот, -
8. не се согласувај со него и не го слушај; и да не ти се смили окото твое над него, не го жали и не го сокривај,
9. туку убиј го; прво твојата рака нека биде врз него, за да го убие, - а потоа рацете на целиот народ;
10. убиј го со камења, да умре; бидејки тој сакал да те отстрани од Господа, твојот Бог, Кој те изведе од Египетската земја, од домот на ропството.
11. Целиот Израел да го чуе тоа и да се исплаши, и нема во иднина да прави пред тебе такво зло.
12. Вие сте синови на Господа, вашиот Бог; не правете зарези на телото свое и не ја стрижете косата над очите свои за умрено;
13. зашто вие сте свет народ на Господа, вашиот Бог, и Господ вас ве избра од сите народи, што се на земјата, за да бидете Негов народ.
14. Не јади ништо нечисто.
15. Свој добиток можете да јадете: телци од говедата, и јаганци од овците, и козли од козите;
16. елен, срна, бивол, кошута, зебра и дива коза.
17. Секое животно што има разделени копита и на двете копита длабок зарез, и добитокот што прежива, јадете го.
18. Од оние, што преживаат и имаат разделени копита со длабок зарез, не јадете само: камила, питом зајак и див зајак, зашто тие, иако преживаат, нивните копита не се разделени: тие се нечисти за вас;

Глава 14

1. 'Вие сте синови на Господа, својот Бог. Не правете си врз себе врезаници ниту потстрижувања на челото за покојникот.
2. Па ти си народ посветен на Господа, својот Бог; Господ те избра тебе ме у сите народи на земјата за да бидеш Негов народ, Негова сопственост.
3. Не јадете ништо нечисто.
4. Ова се животните што можете да ги јадете: волот, овцата, козата,
5. еленот, срната, срнето, козорогот, антилопата, биволот и дивата коза;
6. можете да го јадете секое животно што има раздвоени копита - сосем раздвоени надве - и што прежива.
7. Од преживарите или од животните со раздвоени копита само овие не смеете да ги јадете: камилата, зајакот и питомиот зајак. Имено, па иако преиваат немаат раздвоени копита, нека бидат нечисти за вас.
8. А свињата, иако има раздвоеникопита, не прежива; нека биде нечиста за вас. Не јадете од нејзиното месо, ниту допирајте ја нејзината мрша.
9. А од се‘, што живее во водата ова моете да јадете: се‘ што има лушпи и перки, можете да јадете.
10. А што нема лушпи и перки не смеете да јадете. Тоа нека биде неисто за вас.
11. Секоја чиста птица моете да ја јадете.
12. Ама овие не смеете да ги јадете: орелот-стрвник и јастребот.
13. дивата кокошка, соколот од кој и да е вид;
14. гавранот од било кој вид;
15. нојот, јастребот кокошкар, галебот ни крагујот од било кој вид;
16. бувот, утот и лебедот;
17. неситот, белиот стрвинар и нуркачот;
18. штркот, чапјата од било кој вид; пупунчето и лилјакот.
19. Сите крилести бубачки нека бидат нечисти за вас.
20. Се‘ крилесто чисто можете да јадете.
21. Не смеете да јадете ништо што ке пцовиса. Дај му го тоа на придојденикот кој престојува во твоите градови нека јаде, или пак продај му го на ту инецот. Зашто ти си народ посветен на Господа, својот Бог. Не вари го јарето во млекото на неговата мајка.'
22. 'Одвојува десеток од приходот секоја година, се‘ што ке роди твоето посеано поле.
23. А тогаш јади го десетокот од своето ито, од своето вино, од своето масло и од првината на својот крупен и сите добиток во присуство на Господа, својот Бог, на местото што Тој ке го избере за да го настани таму Своето Име; за да се научиш така да се боиш секогаш од Господа, твојот Бог.
24. Ако ти биде патот предолг, па не можеш да го донесеш десетокот - зашто е премногу далеку од тебе местото што Господ го избра за да го настани во него Своето Име - тогаш, кога Господ, твојот Бог, ке те благослови,
25. продај го тоа за сребреници, земи ги сребрениците во раката и оди во местото што го избра Господ, твојот Бог.
26. Тогаш купи за сребрениците што сакаш: говедо, ситно животинче, вино или опоен пијалак - што ке ти посака душата. Таму во присуство на Господа, својот Бог, јади и весели се ти и твоите домашни.
27. Не го заборавај левитот, кој ке биде во твоите градови, зашто тој нема дел ни наследство со тебе.
28. На крајот на секоја трета година изнеси го сиот десеток на својот приход од таа година и положи го при твојата врата.
29. Па нека дојде левитот - зашто нема дел ни наследство со тебе - придојденикот, сиракот и вдовицата, кои ивеат во твојот град, и нека јадат и нека се наситат. Така ке те благословува

Господ, твојот Бог, во сите работи што ќе ги преземе твојата рака.'

Глава 15

1. Во седмата година проштавај!
2. И ова е заповед за простувањето: секој кој што дал на заем на ближниот свој, нека му го прости; целиот долг да не го бара од ближниот свој, или од братот свој, бидејки тоа е простување заради Господа, твојот Бог;
3. од ту инецот барај го она што го имаш кај него; а на братот твој прости му го долгот,
4. за да нема кај тебе сиромав; зашто Господ ке те благослови во онаа земја, која Господ, твојот Бог, ти ја дава како дел, за да ја добиеш во наследство.
5. Доволно е само да го слушаш гласот на Господа, твојот Бог, и да ги пазиш и да ги исполнуваш сите овие заповеди, кои денес ти ги заповедам;
6. зашто Господ, твојот Бог, ке те благослови, како што ти говорел, и ти ке даваш заем на многу народи, а самиот нема да земаш заем; и ке владееш со многу народи, а над тебе нама да владеат.
7. Ако, пак, имаш некој брат сиромав во еден од градовите твои, во земјата твоја, што Господ, твојот Бог, ти ја дава, не го одвракај срцето свое и не ја стискај раката своја пред твојот брат што има потреба,
8. туку отвори му ја раката своја и дај му заем, колку што му треба и колку што му недостасува;
9. пази се‘, да не влезе во срцето твое лукава мисла: па да речеш ‘наближува седмата година, година на простувањето‘ и да не стане окото твое злобно спрема твојот сиромав брат, што има потреба и да му откажеш; зашто тој ке повика против тебе пред Господа, и на тебе голем грев ке падне;
10. подај му драговолно заем, колку што сака и колку што му треба, а кога му даваш, да не ти се нажали срцето твое, бидејки Господ, твојот Бог, ке те благослови за тоа во сите твои работи и во се‘, што го вршат рацете твои;
11. зашто сиромаси ке има секогаш во земјата твоја; затоа и ти заповедам, велејки ти: отворај ја вратата твоја за твојот брат, за твојот беден и за оној што моли во земјата твоја;
12. ако ти се продаде твојот брат, Евреин, или Еврејка, тој треба шест години да ти работи, а седмата година пушти го на слобода;
13. кога, пак, го пушташ на слобода, не отпуштај го со празни раце,
14. туку дарувај го со нешто од овците твои, од пченицата твоја и од виното твое: дај му од она, со кое те благословил Господ, твојот Бог;
15. помни, дека и ти беше роб во Египетската земја, и Господ, твојот Бог, те ослободи; ете затоа и ти го заповедам денес ова.
16. Ако, пак, ти каже: ‘не сакам да си одам од кај тебе, зашто те засакав тебе и домот твој‘, бидејки ми е добро кај тебе,
17. земи шило и продупчи му го увото на степеникот пред вратата; и тој ке ти биде роб засекогаш. Така направи и со робинката твоја.
18. За да не ти биде тешко, поради тоа што си должен да го пушташ на слобода, бидејки тој ти изработил во текот на шесте години двојно повеке - отколку платен наемник, затоа Господ, твојот Бог, ке те благослови во се‘, што и да правиш.
19. Секое машко првородено, што ке се роди од говедата твои и од овците твои, посветувај го на Господа, твојот Бог: не работи со провородениот вол свој и не стрижи го прворођеното од овците твои;
20. тоа јади го ти и челадта твоја пред Господа, твојот Бог, секоја година, на местото, што ке го одбере Господ, твојот Бог;
21. ако, пак, тоа биде со недостаток, - хромо, или слепо, или со некој друг недостаток, не принесувај го како жртва на Господа, твојот Бог,
22. но во градовите твои нека се јаде; нечист и чист може да јаде како што се јаде срна и елен;
23. само крвта не јади му ја: истурај ја на земја како вода.

Глава 16

1. Набљудувај го месецот на новите плодови и празнувај ја Пасхата на Госпдоа, твојот Бог, зашто во новиот месец си излегол од Египет, ноке.
2. И коли пасха на Господа, твојот Бог, од говедата твои и од овците твои, на местото, што ке го одбере Господ, за да се призовува името Негово таму.
3. Не јади на неа леб со квас: седум дена јади на неа бескавасни лебови, лебови на маките, бидејки набрзина излеговте од Египет, за да го поминте денот на вашиот исход од Египетската земја;
4. ништо со квас да нема при тебе во сите твои предели во текот на седумте дена, и од месото, што си го принел како жртва вечерта на првиот ден ништо не смее да пренокева.
5. Не смееш да колеш пасха ни во еден од градовите твои, што Господ, твојот Бог ке ти ги даде:
6. туку само на она место, што ке го одбере Господ, твојот Бог, за да се призовува вечно името Негово, таму колу пасха навечер, при заодсонце, во она исто време, во кое си излегол од Египетската земја;
7. па свари и испечи и јади на она место што ке го одбере Господ, твојот Бог, а на второт ден можеш да се вратиш во домот твој.
8. Шест дена јади бесквасни лебови, а седмиот ден е последен ден од празникот на Господа, твојот Бог; не врши никаква работа.
9. Изброј седум седмици; почни да ги броиш седумте седмици, откога ке го сравиш српот на жетвата;
10. тогаш празнувај го празникот Седмици на Господа, твојот Бог, според она колку што може да даде раката твоја, во кое што те благословил Господ, твојот Бог;
11. и развесели се пред Господа, твојот Бог, ти, синот твој и керката твоја, робот твој и робинката твоја, левитот кој е во градовите твои, и придојдениот, сиромавиот и вдовицата, што се кај тебе, на она место, што ке го одбере Господ, твојот Бог, за да се призива вечно името Негово таму;
12. помни, дека ти беше роб во Египетската земја, и пази ги и исполнувај ги овие наредби.
13. Седум дена празнувај го празникот Сеници, откако ке ја прибереш жетвата од нивите твои и виното во садовите твои.
14. Па развесели се ти на празникот твој, синот твој и керката твоја, робот твој и робинката твоја, левиотот и придојдениот, сиромавиот и вдовицата, кои се во градовите твои;
15. седум дена прославувај Го Господа, твојот Бог, на она место, што ке го одбере Господ, твојот Бог, за да се призива таму името Негово, бидејки ке те благословува Господ, твојот Бог, во сите плодови твои и во секоја работа на рацете твои и ти само ке се веселиш.
16. Трипати во годината секое машко треба да се јавува пред Господа, твојот Бог, на местото, што ке го одбере Он, на празникот Бесквасници, на празникот Седмици и на празникот Сеници; и никој не смее да се јавува пред Господа со празни раце,
17. но секој со дар во раката, според благословот од Господа, твојот Бог, од она што ти го дан Он.
18. Во сите твои градови, кои Господ, твојот Бог, ти ги дал, постави си судии и надзорници според племињата свои, за да му судат на народот со праведен суд;
19. на искрувувај го законот, не гледај на лице и не замај дарови, бидејки подароците ги залепуваат очите на мудрите и го изопачуваат делото на правите;
20. праведен суд барај, за да бидеш жив и да отидеш да ја наследиш земјата, која Господ, твојот Бог, ти ја дава.
21. Не посадувај шумичка било од какви и да е дрвја покрај жртвеникот на Господа, твојот Бог, што ке си го подигнеш;
22. и не гради друг жртвеник, бидејки тоа го мрази Господ, твојот Бог.

Глава 17

1. Не принесувај жртва на Господа, твојот Бог, вол, или овца, кои се повредени, или имаат некаков недостаток, бидејки тоа е гнасотија пред Госпдоа, твојот Бог.
2. Ако се најде при тебе во еден од градивите твои, кои Господ, твојот Бог, ти ги дава, маж или жена, што ке направи зло пред Господа, твојот Бог, и со тоа го престапат заветот Негов,
3. па тргнат и почнат да им служат на други богови, и им се поклонуваат ним, или на сонцето, или на месечината, или на се што е небески, кое Јас не сум го заповедал,
4. и ти биде соопштено, и ти провериш добро; па, ако тоа е вистина, ако е направена таква гнасотија во Израилот,
5. изведете ги тој маж, или таа жена, што го направиле тоа зло, пред вратата и убијте ги со камења, за да умрат.
6. Според зборовите на двајца или тројца сведоци осудениот на смрт треба да умре: не смее да се погубува само на еден сведок;
7. прво раката на сведоците треба да падне врз него, за да биде убиен, потоа рацете на целиот народ; така истребете го злото од вас самите.
8. Ако по некое дело ке биде тешко за тебе да пресудиш ме у крв и крв, ме у суд и суд, ме у рана и рана, и ме у расправа и расправа на судиите од твоите градови, стани и оди во местото, што ке го одбере Господ, твојот Бог, за да се призива името Негово таму,
9. и пријди кај свештениците левити и при судијата, што ке биде во тие денови, прашај ги, и тие ке ти кажат, како да пресудиш.
10. И постапи, онака како што ке ти кажат на местото што ке го одбере Господ, твојот Бог, за да се призива името Негово таму, и гледај да извршиш се што ке ти кажат тие;
11. според законот и според пресудата што ке ја кажат, постапи така и не отстапувај ни десно ни лево од она, што ке ти го кажат тие.
12. А кој ке постапи гордо, и не ке го послуша свештеникот, што е таму на служба пред Господа, твојот Бог, или судијата, што ке биде во тие денови, тој треба да умре. - Така исчистете го злото од Израилот;
13. па целиот народ ке чуе, и ке се уплаши, и во иднина нема да постапуав нечесно.
14. Кога ке влезеш во земјата, која Господ, твојот Бог, ти ја дава со жреб, и ја примиш, и се населиш во неа, и речеш: ‘ке си поставам кнез, како другите соседни народи‘, -
15. постави си кнез, кого Господ, твојот Бог, ке го избере, потави си кнез од браката твои; не смееш да поставиш за кнез ту инец, кој не е твој брат.
16. Но тој да не ги умножува коњите свои и да не го врати народот во Египет, за да ги умножи коњите свои, бидејки Господ ви рече: ‘не обидувајте се да се вратите веке по тој пат‘;
17. и да не ги умножува жените свои, за да не се разврати срцето негово, и да не натрупува сребро и злато прекумерно.
18. А кога ке седне со власт на престолот, нека си направи препис на овој закон од книгата, што се нао а кај свештениците левити,
19. и нека ги држи кај себе и нека го чита во сите денови на неговиот живот, за да се научи да се бои од Господа, својот Бог, и да ги пази и да ги исполнува сите овие заповеди и наредби;
20. за да не се возгордее срцето негово пред неговите брака, и да не отстапува од законите ни десно, ни лево, за да остане на власт многу години, тој и синовите негови во Израилот.

Глава 18

1. Да нема дел и наследство во Израилот за свештениците левити, во целото племе Левиево; тие треба да јадат од жртвите за Господа,
2. дел од нив нема да има ме у браката негови: Самиот Господ е негов дел, како што му рече Он.
3. Еве, што треба да биде определено за свештениците од народот, од оние, што принесуваат жртва теле или овца; на свештеникот треба да му се дава рамото, главата и утробата;
4. давај му исто така и првина од пченицата твоја, од виното твое и од елејот твој, и првината од стригот на овците твои,
5. бидејки Господ, твојот Бог, него го избра од сите твои племиња да претстои пред Господа, твојот Бог, да служи и да благословува во името Господово, тој и синовите негови во сите денови.
6. И ако левит некој дојде од некој од твоите градови, низ целата земја на Израилевите синови, каде што живеел тој, и по желба на душата своја дојде на местото, што ке го одбере Господ,
7. и почне да служи во името на Господа, својот Бог, како и сите негови брака левити, кои стојат таму пред Господа,
8. како храна нека добие еднаков дел, освен добиеното од продажбата на татковиот имот.
9. Кога ке влезеш во земјата, која Господ, твојот Бог, ти ја дава, да не свикнеш да правиш гнасотии, какви што вршеле тие народи;
10. да не се најде пред тебе човек што го тера синот свој или керката своја преку оган, заради очистување, или да претскажува, да гата, или како ма епсник,
11. чародеец, ни гледач на утробата, ниту, пак, што гледа по знаци, ни таков што повикува мртви;
12. зашто, секој, што го прави тоа, е гнасен пред Господа, и токму поради тие гнасотии Господ, твојот Бог, ги изгонува од пред тебе.
13. Биде непорочен пред Господа, твојот Бог;
14. зашто тие народи, што ти ги наследуваш, ги слушаат гатачите и претскажувачите, а тоа Господ, твојот Бог, не ти го дал.
15. Господ, твојот Бог, ке ти дигне пророк од браката твои, како мене, - Него слушајте Го, -
16. бидејки ти го молеше Господа, твојот Бог, при Хорив во денот на собранието, велејки: ‘да не го чујам во иднина гласот на Господа, нашиот Бог, и да не го видам повеке тој голем оган, за да не умрам.‘
17. И ми рече Господ: добро е тоа, што ти го кажале;
18. Јас ке им издигнам пророк од браката нивни, каков што си ти, ке ги ставам зборовите Мои во устата Негова и Он ке им каже се, што Јас ке му заповедам;
19. а кој не ке ги послуша зборовите што ке говори оној Пророк од Мое име, Јас ке му се одмаздам.
20. Кој, пак, пророк ке се осмели да зборува од Мое име, она што не сум му заповедал да говори и оној што ке зборува од името на други богови, таквиот пророк да биде погубен.
21. Не ке си речеш во срцето свои: ‘како ке ги разбереме зборовите, што ни ги кажал Господ?‘
22. Еве како ке ги дознаете: ако пророкот говори од името на Господа, и зборовите не се збиднат и не се исполнат, тогаш Господ не ги кажал тие зборови, туку ги кажал пророкот по своја гордост, - и не бој се од него.

Глава 19

1. Кога Господ, твојот Бог, ке ги истера народите, замјата нивна што ти ја дава Господ, твојот Бог, и ја наследиш по нив, и се населиш во градовите нивни, и куките нивни,
2. тогаш оддели три града во земјата своја, што Господ, твојот Бог, ти ја дава во наследство;
3. изгради си пат и раздели ја на три дела сета земја, што Господ, твојот Бог, ти ја дава во наследство; тие да служат за засолниште на секој убиец.
4. А еве кој убиец може да се засолни таму и да остане жив: оној што ке убие ближен свој без умисла, и да не му бил непријател вчера, и завчера;
5. оној што ке отиде со другарот свој во шума да собира дрва, па му се слизне раката со секирата, за да пресече дрво, и испадне острицата од дршката, го погоди другарот негов, и тој умре, - таков нека се засолни во еден од тие градови, за да остане жив,
6. за да не го подгони одмаздникот за крв со разјарено срце убиецот и да го стигне, па, ако патот биде долг, и го убие, но тој не смее да се осуди на смрт, бидејки не му бил непријател ни вчера, ни завчера;
7. затоа и ти заповедав, велејки ти: оддели си три града.
8. Кога пак Господ, твојот Бог, ке ги рашири твоите граници, како што се беше заколнал на татковците твои, и ти ја даде сета земја, што им ја беше ветил на татковците твои,
9. ако се трудиш да ги исполнуваш сите овие заповеди, што денес ти ги заповедам, да Го сакаш Господа, твојот Бог, и да одиш по Неговите патишта во сите денови, - тогаш кон тие три града додај уште три града,
10. за да не се пролева невина крв во замјата твоја, што ти ја дава Господ, твојот Бог, во наследство за да не бидеш обвинет поради крв.
11. Но ако има некој човек при тебе непријател на ближниот свој и го начека, па се нафрли на него и го истепа така, што тој умре, и избега во еден од оние градови,
12. старешините на тој град да испратат, да го земат оттаму и да го предадат во рацете на одмаздникот за крвта и да умре.
13. Да не го поштеди окото твое: очисти ја крвта на невиниот од Израилот, и ке ти биде подобро.
14. Не ја преместувај ме ата на пределот од ближниот свој, поставена од татковците твои во твоето наследство, што си го добил во земјата, која Господ, твојот Бог, ти ја дава тебе со жреб.
15. Не е доволен еден сведок против човек за каков и да било обид, престап или некој грев, со кој згрешил: при сведочењето на двајца сведоци, или со зборовите на тројца сведоци се донесува решение.
16. Ако против некого излезе неправеден сведок, обвинувајки го за престап,
17. и обајцата, на кои им се суди, нека застанат пред Господа, пред свештениците и пред судиите, што ке се најдат во тие денови;
18. и судиите нека ги испитаат добро, па ако оној лажлив сведок лажно сведочи против братот свој.
19. направете му го она што го беше намислил да му го направи на братот свој: така исчистете го злото од вас самите.
20. И другите ке чујат, па ке се уплашат, и нема во иднина да прават такво зло при вас.
21. Да не го поштеди окото твое: душа за душа, око за око, заб за заб, рака за рака, нога за нога. Каква штета некој ке му направи на ближниот свој, таква да му се врати.

Глава 20

1. Кога ке излезеш во војна против непријателите твои и ке видиш коњи и многу лу е, повеке од тебе, не бој се од нив, бидејки Господ, твојот Бог, Кој те изведе од Египетската земја, е со тебе.
2. Кога, пак, ке влезете во борба, свештеникот нека се приближи и нека му зборува на народот,
3. и да му каже: ‘слушај, Израиле, вие денес влегувате во бој против вашите напријатели, да не ослабува срцето ваше, не бојте се, не збунувајте се и не отстапувајте од нив,
4. бидејки Господ, вашиот Бог, оди со вас, за да се бори за вас против вашите непријатели и да ве спаси.‘
5. Надзорниците, пак, нека му речат на народот, и нека му кажат: кој изградил нова кука и не се вселил во неа, нека си оди и да се врати во домот свој, за да не умре во бојот, а друг да се настани во неа;
6. и кој насадил лозје и не го обрал, нека си оди и нека се врати во домот свој, за да не умре во бојот, а друг да собере се;
7. и кој се свршил и не се оженил, нека си оди и нека се врати во домот свој, за да не умре во бојот, а друг да ја зема свршеницата негова.‘
8. Надзорниците нека му кажат уште на народот и нека му речат: ‘кој е плашлив и малодушен, нека си оди и нека се врати во домот свој, за да не ги направи плашливи срцата на браката свои, како неговото срце.‘
9. Откако надзорниците ке му го кажат тоа на народот, да изберат воени началници и водач на народот.
10. Кога ке се приближиш до некој град, за да го преземеш, предложи му мир.
11. Ако се согласи на мир со тебе и ти ги отвори портите, целиот народ што се нао а во него, ке ти плака данок и ке ти работи.
12. Ако, пак, не се согласи на мир со тебе, и почне да војува против тебе, опколи го;
13. и, кога Господ, твојот Бог, ке го предаде во рацете твои, погуби со сечилото на мечот се што е машко кај него;
14. само жените и децата, добитокот и се што има во градот, запленете го за себе и користи се со пленот на непријателите свои, кои Господ, твојот Бог, ти ги предал.
15. Така постапи со сите градови, што се многу далеку од тебе, а кои не се градови на тие народи.
16. Но во градовите на оние народи, кои Господ, твојот Бог, ти дава да ја наследиш земјата нивна, не оставај ни една жива душа,
17. туку предај ги на заклетва: Хетејците, Аморејците, Хананејците, Ферезејците, Јевусејците и Гергесејците, како што ти беше заповедал Господ, твојот Бог,
18. за да не ве научат да ги правите сите нивни гнасотии, какви што им правеле тие на своите богови, за да не грешите и вие пред Господа, вашиот Бог.
19. Кога опсадуваш долго време некој град, за да го преземеш и завладееш, не сечи ги дрвјата негови, кои се во шумата, туку користи ги плодовите нивни за храна, и не опустошувај ја околината, бидејки дрвото во полето не е човек, за да избега од тебе во тврдината;
20. но оние дрвја, за кои знаеш дека не даваат никакви плодови, можеш да ги повредуваш и сечеш и од нив да правиш скало за градот, кој ти објавил војна, се додека не го покориш.

Глава 21

1. Ако во земјата, што Господ, твојот Бог, ти ја дава да ја наследиш, се најде убиен човек во полето, и не се знае, кој го убил,
2. нека излезат твоите старешини и судиите и нека го измерат растојанието од убиениот до градовите наоколу;
3. и старешините на градот, кој е најблиску до убиениот, нека земат јуничка, кој не била спрегната и која не носела јарем,
4. и старешините од тој град нека ја одведат таа јуничка во сув необработен и незасејуван дол, и таму во долот нека ја заколат јуницата;
5. потоа нека пристапат свештениците, синовите Левиеви, бидејки Господ, твојот Бог, нив ги избра да Му служат и да благословуваат од името Негово, и според зборовите нивни да се пресуди секоја расправија и секоја причинета штета,
6. и сите старешини од тој град, најблискиот до убиениот, нека си ги измијат рацете над главата на јуницата каде што и се пресечени жилите во долот,
7. па да објават и да кажат: нашите раце на ја пролеаја оваа крв и нашите очи не видоа;
8. милостив биди спрема лу ето Твои во Израилот, кој Ти, Господи, го изведе од Египетската земја, за да нема невина крв во Израилот. И тие ке се очистат од крвта.
9. Така треба да ја отстрануваш од себеси крвта на невиност, ако сакаш да правиш добро и угодно пред Господа, твојот Бог.
10. Кога ке излезеш во бој против непријателите свои, и Господ, твојот Бог, ке ти ги предаде во рацете твои, и ти ке ги заробиш нив,
11. па видиш ме у заробените жена убавица, и ја засакаш, и ке посакаш да си ја земаш за жена,
12. одведи ја во домот Твој, и нека ја истриже таа главата своја и нека ги исече ноктите свои,
13. нека ја соблече ропската облека, нека живее во домот твој, и да го оплакува таткото свој и мајката своја цел месец; потоа можеш да влезеш при неа, и да и станеш маж, и таа да ти биде жена.
14. Ако, пак, отпосле таа не ти е по воља, отпушти ја, но не продавај ја за сребро, ниту ја имај за робинка, зашто ти си ја унижил.
15. Ако некој има две жени - едната омилена, а втората несакана, па тие и двете му родат синови и ако првородениот син му е од несаканата жена,
16. тогаш, при поделбата на имотот ме у синовите, тој не може да даде првенство на синот од омилената жена, место на првородениот од несаканата,
17. туку е должен да го признае за свој првенец синот од несаканата жена и нему да му даде двоен дел од сиот имот, бидејки тој е почеток на неговата сила; нему му се па а правото на првородство.
18. Ако некој има буен и непокорен син, којшто не го слуша гласот на својот татко и гласот на својата мајка, па иако го казнувале, тој пак е непослушен,
19. тогаш татко му и мајка му нека го земат и одведат при старешините на градот и при вратите на своето местоживеење,
20. па нека им кажат на градските старешини: 'Овој наш син е буен и непокорен, не ги слуша нашите совети, расипник е и пијаница;'-
21. тогаш сите мажи од градот негов нека го каменуваат до смрт; така исчистете го злото од самите себе, и другите ке чујат и ке се уплашат.
22. Ако некој направи грев, што заслужува смрт, па биде умртвен, и ти го обесиш на дрво,
23. телото негово да не пренокева на дрвото, туку погреби го истиот ден, зашто проклет е од Бога секој што виси на дрво, и не осквернувај ја земјата, која Господ, твојот Бог, ти ја дава во наследство.

Глава 22

1. Ако видиш теле од братот твој или овца негова заскитана на пат, не оставај ги, туку потерај ги кај братот твој;
2. ако, пак, братот твој, не е близу до тебе, прибери ги во домот твој, и нека останат кај тебе, додека братот твој не ги побара, и тогаш врати му ги;
3. така постапувај со оселот негов, така постапувај со облеката негова, така постапувај со секоја загубена работа на братот твој, што тој ке ја загуби, а ти ја најдеш: од тоа не смееш да се отклонуваш.
4. Ако го видиш оселот на братот твој или телето негово, паднати на патот, не оставај ги, туку крени ги со него заедно.
5. Жена не треба да носи машка облека, и маж не треба да се облекува во женска облека: секој, што го прави тоа, одвратен е пред Господа, твојот Бог.
6. Ако најдеш на патот птичје гнездо на некое дрво или на земја, со птички или јајца, и мајката седи над птичките или на јајцата, не ја земај мајката заедно со малите:
7. мајката пушти ја, а малите земи ги, за да ти биде добро, и да ти се продолжат деновите твои.
8. Ако градиш нова кука, направи околу неа ограда, за да не предизвикаш убиства, ако падне некој од неа.
9. Да не садиш во лозјето твое лози различни, па да не се осветат плодот и семињата, со кои ке го посееш плодот на лозјето твое.
10. Да не ораш со јунец и осел заедно.
11. Да не облекуваш облека, ткаена мешано од волна и лен заедно.
12. Направи си рески на четирите краишта од наметката твоја, со која се наметнуваш.
13. Ако некој земе жена, и влезе при неа, па ја намрази,
14. и ја обвини за порочни дела и пушти лоши зборови за неа, и каже: ‘ја зедов оваа жена, влегов при неа, и не ја надов девица‘,
15. тогаш таткото на момата и мајката нејзина нека ги земат и нека ги изнесат девствените белези на момата при старешините пред портата;
16. и таткото на девојката нека им каже на старешините: ‘му ја дадов керката моја за жена на овој човек, а сега тој ја намрази,
17. и ете, ја обвинува за порочни дела, велејки: 'не ја најдов керката твоја девица'; но еве ги девствените белези на керката моја.‘ И да ја распростре долната облека нејзина пред старешините од тој град.
18. Тогаш градските старешини да го фатат мажот и да го казнат,
19. и да го глобат со сто сикли сребро, и тоа да му го дадат на таткото од девојката, поради тоа што нанел зло на израилска девица; таа, пак, да си остане негова жена, и тој да не може да се разведе од неа преку целиот живот.
20. Ако, пак, кажаното излезе вистина, и таа не биде најдена како девица,
21. тогаш нека ја доведат момата пред вратата на таковата и кука, и градските мажи нака ја каменуваат до смрт, бидјки извршила срамно дело во Израилот, го осквернила татковиот дом; така истребувајте го злото од себе.
22. Ако некој биде фатен да лежи со мажена жена, тогаш и обајцата да бидат предадени на смрт: и мажот кој лежел со жената, и жената: така истребувајте го злото од Израилот.
23. Ако некоја девица, свршена за маж, ја сретне некој во градот и легне со неа,
24. тогаш и обајцата да ги доведете пред портата на тој град и да ги претепате со камења до смрт: момата поради тоа што не викала во градот, а мажот, поради тоа што ја осквернил свршеницата на ближниот свој: така истребувајте го злото од себе.
25. Ако, пак, некој сретне во полето мома свршена, па ја силува, да биде погубен само мажот, кој лежел со неа,
26. а на момата не правете и ништо; кај момата нема грев за смрт: тоа е исто, како кога некој

стане против ближниот свој и го убие;
27. бидејки тој ја сретнал во полето, а свршената мома и да викала, немало кој да ја спаси.
28. Ако некој сретне девица несвршена, па ја силува, и ги затечат,-
29. тогаш оној, што лежел со неа, да му даде на таткото од момата педесет дидрахми во сребро, а таа да биде негова жена, бидејки тој ја осрамотил; преку целиот живот свој тој не може да се разведе од неа.
30. Никој не смее да ја земе жената на таткото свој и да го открива крајот од покривката таткова.

Глава 23

1. Оној што е скопен или кастрен не влегува во општеството Господово:
2. ниту син на блудница да влегува во Господовиот храм, ни десеттото колено негово.
3. Амониец и Моавец не смее да влегува во храмот Господов; и дури ни десеттото колено нивно да не влегуваат во храмот Господов, па и довека,
4. затоа што тие не ве престретнаа со леб и вода по патот, кога бевте излегле од Египет, и затоа што го наговорија против тебе Валаам Веоровиот син, од Месопотамија, за да те проколне.
5. Но Господ, твојот Бог, не сакаше да го чуе Валаама и ја обрна Господ, твојот Бог, клетвата негова во благослов за тебе, бидејќи Господ твојот Бог те засака;
6. не пожелувај им ни мир, ни добрина преку сите твои денови довека.
7. Не гнаси се од Идумеец, бидејќи тој е твој брат; не гнаси се од Египтјанин, зашто ти беше придојден во земјата негова;
8. Синовите нивни, родени во трето колено, можат да влезат во храмот Господов.
9. Кога одиш во бој против непријателите свои, пази се од се што е лошо.
10. Ако кај тебе има некој нечист од нокен излив, тој треба да излезе надвор од логорот и да не влегува во логорот;
11. а вечерта да го измие телото свое со вода, и по зајдисонце нека влезе во логорот.
12. Ти треба да имаш место надвор од станот, каде што ке одиш сам;
13. освен рилец во појасот, ти треба да имаш лопатка; па кога ке одиш таму надвор, ископај со неа земја и потоа покри ја со неа нечистотијата своја,
14. бидејќи Господ, твојот Бог, дојде во логорот твој, за да те избави и да ги предаде непријателите твои во твои раце; затоа логорот твој треба да биде свет, за да не види Он кај тебе нешто нечисто и да не се оттргне од тебе.
15. Не предавај го робот на господарот негов, кога ке избега при тебе од господарот негов;
16. нека живее со тебе, ме у вас нека живее во секое место, што ке му биде угодно; не го оскрбувај.
17. Блудница од Израилевите керки да нема, и блудник да нема од синовите Израилеви.
18. Во домот на Господа, твојот Бог, не принесувај блудничка награда, ниту цена од пес, за никаков завет, бидејќи и едното и другото се одвратност пред Господа, твојот Бог.
19. Не му давај на братот свој со лихва, ниту сребро, ниту храна, ниту нешто друго, што се дава во заем со лихва;
20. на ту инец давај му со лихва, а на братот свој не му давај со лихва; за да те благослови Господ, твојот Бог, во сите твои работи на земјата, во која одиш да ја наследиш.
21. Ако Му дадеш завет на Господа, твојот Бог, бездруго исполни го, зашто Господ, твојот Бог, ке го побара од тебе и врз тебе ке падне грев;
22. ако, пак, не си ветил, нема да имаш грев.
23. Она што ке излезе од устата твоја, запазувај го и исполнувај го, бидејќи со образ си Му ветил дар на Господа, твојот Бог, и доброволно си го кажал со устата своја.
24. Ако влезеш во нивата на ближниот свој, земи класја во рацете свои, но срп да не земаш.
25. Кога ке влезеш во лозјето на ближниот свој, грозје можеш да јадеш колку што душата ти сака, но не клавај во садови.

Глава 24

1. Ако некој земе жена и поживее со неа, но таа не добие милост во очите негови, бидејки нашол кај неа срамна работа, па и напише писмо за развод, и и го даде во рацете нејзини, и ја испрати од куката своја,
2. а таа откако ке излеззе од куката негова, се омажи за друг,
3. па, ако и тој маж ја намрзи и и напише писмо за развод, и и го даде во рацете најзини, и ја испрати од куката своја, или пак тој, вториот маж, што ја зел за жена, умре,-
4. тогаш првиот маж нејзин, откако ја напуштил, не може пак да ја земе за жена по нејзиното осквернување, зашто тоа е одвратно пред Господа, твојот Бог: не осквернувај ја земјата, што ви ја дава Господ, вашиот Бог, во наследство.
5. Ако некој скоро се оженил, нека не оди во војска, и да не му се наложува никаква работа; нека остане тој слободен во домот свој цела година и нека ја весели жената своја, што ја зел.
6. Никој да не зема во залога ни горен ни долен воденички камен, бидејки таквиот во залог зема душа.
7. Ако биде фатен некој дека украл некого од браката свои, од синовите Израилеви, и го заробил и го продал, таквиот злочинец да биде предаден на смрт: така истребувајте го злото од самите себе.
8. При болеста лепра гледај внимателно да пазиш и да го исполнуваш целиот закон, што ке ви го кажат свештениците левити; исполнувај го грижливо, она што сум ви го заповедал;
9. помни, што и направи Господ, твојот Бог, на Маријам по патот, кога бевте излегле од Египет.
10. Кога ке дадеш нешто во заем на ближниот свој, не оди дома кај него, за да земаш од него залог,
11. туку почекај надвор, а човекот, кому си му дал заем, ке ти го изнесе залогот надвор;
12. ако е, пак, човекот сиромав, да не пренокева залогот негов кај тебе;
13. врати му го залогот на зајдисонце, за да спие со облеката своја и да те благослови; тоа ке ти се смета за милост пред Господа, твојот Бог.
14. Не оставај го без награда бедниот и сиромавиот од твоите брака или од придојдените, кои се во градовите твои;
15. предај му ја наградата во истиот ден, пред да зајде сонцето, бидејки тој е беден, и на неа се надева, за да не повика против тебе кон Господа, за да не падне гнев врз тебе.
16. Татковците да не бидат осудувани на смрт заради децата, и децата да не бидат казнувани со смрт поради татковците; секој да биде казнет со смрт за својот грев.
17. Не загорчувај го поминот на придојдениот, сиромавиот и вдовицата, и од вдовица не земај облека во залог;
18. сети се, дека и ти беше роб во Египет, и Господ, твојот Бог, те ослободи оттаму: затоа и ти заповедам да ги исполнуваш овие наредби.
19. Кога жнееш на нивата своја во твоето поле и заборавиш сноп на нивата твоја, не вракај се да го земеш: тој нека остане за придојдениот, и сиромавиот, и вдовицата, за да те благослови Господ, твојот Бог, во сите работи на рацете твои.
20. Кога ги береш маслинките свои, не вракај се да ги добереш останатите: тие нека останат за придојдениот, сиромавиот и вдовицата. Па сети се дека и ти беше роб во Египетската земја: затоа и ти заповедам да го правиш ова.
21. Кога го береш лозјето свое, не го бери докрај она што ке остане по тебе: нека остане тоа за дојдениот, сиромавиот и вдовицата;
22. и не заборави, дека и ти беше роб во Египетската земја: затоа и ти заповедам да го правиш ова.

Глава 25

1. Кога има расправија ме у лу е, нека ги доведат во суд и да ги судат; правиот да го оправдаат, а виновниот да го осудат;
2. а ако виновниот залужува биење, да го легнат пред судиите и да го бијат поради вината негова.
3. Можат да му се удрат четириесет стапа, но не повеке, за да не се засрами братот твој пред тебе.
4. Не врзувај уста на вол кога врши.
5. Кога браката живеат заедно, и едниот од нив умре без пород, жената на умрениот не смее да се омажи за надворешен човек, но деверот нејзин треба да влезе при неа, да ја земе за жена и да живее со неа, -
6. и првородениот, што таа ке го роди, да го носи името на умрениот брат, за да не се уништи името негово во Израилот.
7. Ако, пак, тој не посака да ја земе за жена снаата своја, тогаш снаата негова да отиде кај портата пред старешините и да каже: 'братот на мојот маж не сака да го подигне името на братот свој во Израилот, не сака да се ожени со мене.'
8. И старешините на градот негов да го повикаат и да му зборуваат, и ако тој стане и каже: 'не сакам да ја земам,'
9. тогаш снаата негова нека дојде при него пред очите на старешините, да собуе еден чевел од неговата нога, да го плукне в лице и да каже: 'така се постапува со човек, кој не го подига домот на братот свој во Израилот';
10. и ке му извадат име во Израилот: 'дом на собуениот,'
11. Кога се тепаат ме усебе двајцата мажи, и жената на едниот од нив се приближи за да го отргне мажот свој од оној што го бие, и, откога ке ја испружи раката своја, го фати за слабините,
12. пресечи и ја раката: да не ја пожали окото твое.
13. Во торбата своја не смееш да имаш две мерила: големо и мало;
14. во куката твоја да немаш двојна мерка: тешка и лесна;
15. мерило да имаш верно и праведно, и мерка да имаш точна и праведна, за да ти се продолжат деновите на земјата, која Господ, твојот Бог, ти ја дава како дел;
16. бидејки одвратен е пред Господа, твојот Бог, секој што го прави ова и друга неправда.
17. Помни, како постапи со тебе Амалик, по патот, кога бевте излегле од Египет;
18. како тој ти се противстави по патот и ги погуби сите што заостанаа зад тебе од умор, кога ти беше алчен и изнемоштен, и не се уплаши од Бога.
19. И така, кога Господ, твојот Бог, ке те успокои од сите твои непријатели, што се околу тебе на земјата, која Господ, твојот Бог, ти ја дава како дел за да ја наследиш, избриши го името на Амалик под небото; да не заборавиш.

Глава 26

1. Кога ќе дојдеш во земјата што Господ, твојот Бог, ти ја дава како дел, и ќе ја наследиш и се населиш во неа,
2. земи ги првините од плодовите на земјата твоја, која Господ, твојот Бог, ти ја дава, стави ги во кошница, и оди на она место, кое Господ, твојот Бог, ќе го одбере, за да се призива вечно името Негово таму;
3. потоа оди при свештеникот, што се затекол во тие денови и кажи му: ‘денес изјавувам пред Господа, мојот Бог, дека влегов во земјата, за која Господ им се заколна на татковците наши дека ќе ни ја даде.‘
4. Свештеникот да ја зема кошницата од рацета твоја и да ја стави пред жртвеникот на Господа, твојот Бог.
5. Ти, пак, одговори и кажи пред Господа, твојот Бог: ‘мојот татко ја напушти Сирија и отиде во Египет и се насели таму со мал број лу е, и од него произлезе таму народ голем, силен и многуброен.
6. И Египтјаните се озлобија на нес, не притиснаа и ни наложуваа тешка работа;
7. тогаш ние Му се пожаливме на Господа, Бог на нашите татковци, и Господ ја чу нашата молба и ја виде бедата наша, маките наши и неволите наши;
8. и не изведе Господ од Египет. Сам со големата сила Своја, со силна рака и со цврста мишка, со виденија големи, со знаци и чудеса,
9. па не доведе на ова место и ни ја даде оваа земја, земја во која тече мед и млеко.
10. И така, ете, ги донесов првините од плодовите на земјата, која Ти, Господе, ми ја даде, земјата, каде што тече мед и млеко.‘ Стави го тоа пред Господа, твојот Бог, поклони се пред Господа, твојот Бог,
11. па развесели се потоа за сите добра, што Господ, твојот Бог, ти ги даде тебе, ти и домот твој, ти и левитот и придојдениот, што е кај тебе.
12. Кога ќе ги одделиш сите десетоци од плодовите на земјата твоја во третата година, втората десетина дај ја на левитот, на придојдениот, на сиромавиот и на вдовицата, за да јадат во градовите твои и да се наситуваат.
13. Тогаш кажи пред Господа, твојот Бог: ‘изнасобравме се, што е свето во домот мој, и го дадов на левитот, придојдениот, сиромавиот и вдовицата, според сите Твои заповеди, како ми заповеда: јас не направив престап спрема Твоите заповеди и не ги заборавив;
14. во тагата не јадев од нив, ниту одделив од нив за нечиста потреба, ниту дадов од нив за умрено; го послушав гласот на Господа, мојот Бог, исполнив се како што ми заповеда Ти.
15. Погледни од небото од Твојот свет храм и благослови го народот Свој, Израилот, и земјата, што ни ја даде, како што им се заколна на татковците наши дека ќе ни ја дадеш, земјата, во која тече мед и млеко.‘
16. Денес Господ, твојот Бог, ти заповеда да ги извршуваш сите овие наредби и закони: пази ги и исполнувај ги со сето срце свое и со сета своја душа.
17. Денес си Го избрал Господа, Он да ти биде твој Бог, дека ти ќе одиш по Неговите патишта и ќе ги почитуваш наредбите Негови и ќе го слушаш гласот Негов;
18. и Господ ве избра денес вие да Му бидете Негов избран народ, како што ти рече ако ги почитувате сите заповеди Негови,
19. и дека Он ќе те постави погоре од сите народи, што ги создал прочуен, фален, славен, и дека вие ќе Му бидете свет народ на Господа, вашиот Бог, како што беше рекол.

Глава 27

1. Тогаш Мојсеј со старешините на синовите Израилеви му заповеда на народот, велејки: 'Пазете ги сите заповеди, што денес ви ги давам.
2. И кога во оној ден ке го минете Јордан во земјата, која Господ, твојот Бог, ти ја дава, како дел, постави си големи камења и обели ги со вар;
3. и напиши ги на тие камења сите зборови од твојот закон, штом ке го преминеш Јордан, за да влезеш во земјата, која Господ, твојот Бог, ти ја дава, во земјата, каде што тече мед и млеко, како што им беше говорел Господ, твојот Бог, на твоите татковци.
4. Кога ке го преминете Јордан, поставете ги тие камења, како што ви заповедам денес, на планината Гевал и обелете ги со вар;
5. и изгради таму жртвеник на Господа, твојот Бог, жртвеник од камења; да не ставаш на нив железо;
6. жртвеникот на Господа, твојот Бог, целиот изгради го од камења и принесувај врз него сепаленици на Господа, твојот Бог;
7. принесувај и жртви за спасение, и јади и наситувај се таму, и весели се пред Господа, твојот Бог;
8. и врз тие камења напиши го многу јасно целиот овој закон.'
9. Тогаш Мојсеј со свештениците левити му рече на целиот Израил, велејки: 'Внимавај и слушај, Израиле: ти денес стана народ на Господа, твојот Бог.
10. И така, слушај го гласот на Господа, твојот Бог, и извршувај ги сите Негови заповеди и наредби, што ти ги заповедам денес.'
11. И во тој ден му заповеда Мојсеј на народот, велејки:
12. 'Кога ке го минете Јордан, овие треба да застанат на планината Гаризим, за да го благословат народот: Симеон, Левиј, Јуда, Исахар и Венијамин;
13. а на планината Гевал да застанат за да искажат проклетство овие: Рувим, Гад, Завулон, Дан и Нефталим.
14. Левитите да го известат народот и да им кажат на сите Израилци со висок глас:
15. ‘проклет да е оној човек, што ке направи изрезан или излиен идол, одвратност пред Господа, работа на уметнички раце, па го става на скришно место! Целиот народ да биде известен и нека рече: амин!
16. Проклет да е оној, што го навредува таткото свој или мајката своја! И целиот народ да каже: амин!
17. Проклет да е оној, кој ја поместува ме ата на ближниот свој! И целиот народ нека рече: амин!
18. Проклет да е оној, кој отстранува слеп човек од патот! И целиот народ нека каже: амин!
19. Проклет да е оној, кој криво суди придојден, сиромав или вдовица! И целиот народ нека рече: амин!
20. Проклет да е оној, кој ке легне со жената на таткото свој, зашто тој го открил крајот од покривката на таткото свој! И целиот народ да каже: амин!
21. Проклет да е оној, кој ке легне со каков и да било добиток! И сиот народ нека рече: амин!
22. Проклет да е оној, кој ке легне со сестрата своја, со татковата керка, или со мајкината керка! И целиот народ да каже: амин!
23. Проклет да е оној, кој ке легне со тештата своја! И целиот народ нека рече: амин! Проклет да е оној, кој ке легне со сестрата на жената своја! И целиот народ да каже: амин!
24. Проклет да е оној, што ке го убие тајно блежниот свој! И целиот народ да каже: амин!
25. Проклет да е оној, што зема поткуп, за да погуби душа и да пролее крв невина! И целиот народ нека рече: амин!
26. Проклет да е секој, кој не ке ги исполни сите наредби од оној закон и не ке постапи според нив! И целиот народ да каже: амин!'

Глава 28

1. Откако ке минете од онаа страна на Јордан, во земјата, која Господ, вешиот Бог, ви ја дава, ако го слушаш гласот на Господа, твојот Бог, ги пазиш и ги извршуваш сите заповеди Негови, кои денес ти ги заповедам, тогаш Господ, твојот Бог, ке те постави погоре од сите народи на земјава;
2. и ке се пренесат на тебе сите овие благослови и ке се исполнат, ако го слушаш гласот на Господа, твојот Бог.
3. Благословен ке бидеш во градот и благословен во полето.
4. Благословен ке биде плодот на твојата утроба, и плодот на земјата твоја, и плодот на добитокот твој, и плодот на воловите твои, и плодот на овците твои.
5. Благословени ке бидат житниците твои и оставите твои.
6. Благословен ке бидеш, кога влегуваш, и благословен - кога излегуваш.
7. Господ нека ги порази пред тебе непријателите твои, кои се креваат против тебе; по еден пат ке навлезат тие против тебе, а по седум патишта да избегаат од пред тебе.
8. Господ да ти испорати благослови на твоите плодови и на секоја работа на твоите раце; и на земјата, која Господ, твојот Бог, ти ја дава.
9. Господ, твојот Бог, нека те постави за Свој свет народ, како што ти се беше заколнал тебе и на татковците твои, ако ги извршуваш заповедите на Господа, твојот Бог, и одиш по патиштата Негови.
10. И тогаш ке видат сите народи на земјата, дека името на Господа, твојот Бог, ти е дадено тебе, и ке се уплашат од тебе.
11. И Господ, твојот Бог, нека ти даде изобилство во сите блага, во плодот на твојата утроба, во плодот на добитокот твој и во плодот на нивите твои на земјата, за кои Господ им се беше заколнал на твоите татковци дека ке ти ги даде.
12. И Господ нека ти го отвори доброто Свое сокровиште, небото, за да дава тоа на време дожд на земјата твоја и да ги благословува сите работи на рацете твои: и ке им даваш на заем на многу народи, а ти самиот нема да земаш на заем; и ке владееш над многу народи, а тие над тебе нема да владеат.
13. Господ, твојот Бог, да те направи глава, а не опашка, и да бидеш само на високо, а не на ниско, ако ги пазиш заповедите на Господа, твојот Бог, кои ти ги заповедам денес да ги почитуваш и исполнуваш,
14. и ако не отстапуваш од сите зборови, што ти ги заповедам денес, ни надесно, ни налево, и ако не тргнеш по други богови за да им служиш.
15. Ако, пак, не го слушаш гласот на Господа, твојот Бог, и не ги пазиш и не ги исполнуваш сите Негови заповеди и наредби, што ти ги заповедам денес, ке паднат врз тебе и ке се збиднат сите овие проклетства.
16. Проклет ке бидеш во градот и проклет ке бидеш во полето.
17. Проклети ке бидат твоите житници и твоите остави.
18. Проклет ке биде плодот на утробата твоја и плодот на земјата твоја, плодот на говедата твои и плодот на стадата овци твои.
19. Проклет ке бедеш, кога влегуваш, и проклет кога излегуваш.
20. Нека ти испрати тогаш Господ скудност, глад и уништување на секоја работа на рацете твои, каква и да вршиш, додека не те истреби, - и додека наскоро не те погуби поради твоите лоши дела, зашто си Ме оставил.
21. Господ нека испрати тогаш врз тебе и помор, додека не те истреби од земјата, во која одиш да ја наследиш.
22. Нека те порази Господ со истоштувања и огнови, со треска и воспаление, со суша, со топол ветер и гламја по житата, и тие ке те гонат додека не загинеш.
23. И небото над главата твоја ке стане бакар, а земјата под тебе - железо;
24. наместо дожд Господ нека и даде на замјата пепел, и земја од небото ке па а, ке па а врз

тебе, додека не те истошти, додека не те истреби.
25. Нека те предаде Господ на непријателите твои, за да те поразат; по еден пат ке излезеш против нив, а по седум патишта ке бегаш од нив; и ке бидеш расеан по сите земни царства.
26. Твоите трупови ке станат храна на сите птици небески и на ѕверовите, и не ке има кој да ги истера.
27. Нека те порази Господ со египетската лепра по домовите, со дива краста и јадеж, од кои не ке можеш да се исцелиш;
28. нека те порази Господ со беснило, слепило и слабоумност.
29. И ке одиш дење со пипање, како што оди слепиот со пипање во темнината, и патот твој нема да биде прав, и ке бидеш тогаш секогаш навредуван и ограбуван, и не ке има кој да ти помогне.
30. Ке земеш жена, и друг ке ти ја земе; кука ке изградиш, и нема да живееш во неа; лозје ке насадиш и нема да го обереш.
31. Телето твое пред тебе ке го заколат, и нема да јадеш од него, оселот ке ти го грабнат, и нема да ти го вратат; овците твои ке бидат дадени на непријателите твои и ке нема никој да ти помогне.
32. Синовите твои и керките твои ке бидат предадени на друг народ; очите твои ке гледаат и ке чезнеат по нив, но нема да имаш сила во рацете свои.
33. Плодовите на земјата твоја и целиот труд твој ке го јаде народ, кого ти не го познаваш: и ке бидеш само навредуван и измачуван преку сите денови.
34. Ке бидеш избезумен од тоа, што ке го гледаат очите твои.
35. И нека те порази Господ со лоша повреда, во колената и на листовите, од кое не ке можеш да се излекуваш, од стапалата на нозете твои и дури до главата твоја.
36. Господ нека те одведе тебе и кнезовите твои, што си ги избрал, при народ, кого не си го познавал ниту ти, ниту татковците твои, и таму ке служиш на други богови, дрвени и камени;
37. и ке станеш таму за чудо, приказ и подигравка кај сите народи, кај кои Господ Бог ке те одведе.
38. Многу семе ке фрлиш во нивата, а малку ке собираш, зашто ке го јадат скакулци.
39. Лозје ке садиш и ке го работиш, и вино нема да пиеш и нема да се веселиш од него, зашто црв ке го јаде.
40. Малини ке имаш во сите твои предели, но со елеј нема да се помажеш, бидејки маслинките твои ке па аат.
41. Синови и керки ке родиш, но тие нема да останат при тебе, зашто во плен ке отидат.
42. Сите твои дрвја и сите жита на земјата твоја гламја ке ги уништи.
43. Придојдениот, кој е кај тебе, ке се издига над тебе се повисоко, и ти ке па аш се пониско;
44. тој ке ти дава на заем, а ти нема да му даваш на заем; тој ке биде главата, а ти ке бидеш опашката.
45. Ке дојдат врз тебе сите овие клетви, ке те гонат и ке те стигнат, дедека не те уништат, затоа што не го послуша гласот на Господа, твојот Бог, и не ги запази заповедите и наредбите Негови, што ти ги беше заповедал;
46. тие ке бидат врз тебе и твоето потомство знак и чудо довека.
47. Зашто ти не Му служеше на Господа, твојот Бог, со весело и радосно срце, поради изобилството во се.
48. ти ке му служиш на непријателот свој, што ке ти го испрати Господ, твојот Бог, во глад и жед, во голотија и во секаква скудност; тој ке ти става на вратот железен јарем, додека не те уништи.
49. Ке испрати Господ против тебе народ од далеку, од крајот на земјата; како орел ке се спушти народот чиј јазик ти не го разбираш.
50. народ бездушен, кој не сака ни старо да почитува, ниту младо да помилува,
51. и ке го изеде тој плодот од добитокот твој и плодот од земјата твоја; нема да ти остави ни жито, ни вино, ни елеј, ниту од говедата твои, ниту од овците твои, додека не те погуби;

52. и ке те притеснува во сите твои градови, додека не ги разруши во твојата земја твоите високи и јаки ѕидови, на кои ти се надеваш; и ке ти нанесе зло во сите твои градови во целата твоја земја, која Господ, твојот Бог, ти ја даде.
53. И ти ке ги јадеш чедата од утробата своја, плотта на синовите и керките свои, кои Господ, твојот Бог, ти ги даде, во теснотијата твоја и во жалоста твоја, во која ке те стави непријателот твој.
54. Межите и младите при вас многу ке му позавидат на братот свој, на саканата жена и на другите деца свои што му останале,
55. и нема да му даде на ниеден од нив плот од децата свои, кои тој ке ги јаде, зашто нема да му остане ништо друго во притеснетоста и во жалоста, во кои ке те постават непријателите твои во сите твои градови.
56. Жена нежна и млада, убава ме у вас, која поради убавината и младоста никогаш со нога не стапнала на земјата, со безмилосно око ке гледа на саканиот маж свој, на синот свој, на керката своја,
57. и нема да им го даде последокот, што излегува ме у бедрата нејзини, на децата, што ги родила; зашто, при скудноста во се, таа ке ги јаде тајно, во притеснетоста во која ке те стави напријателот твој во твоите градови.
58. Ако не ги пазиш и исполнуваш сите зборови од законот, напишани во оваа книга, и не се боиш од ова чесно и чудесно име на Господа, твојот Бог,
59. Господ ке те порази тебе и твоето потомство со необични порази, со порази големи и трајни, и со болести лоши и долги;
60. и ке ги навлече врз тебе сите лоши болести египетски, од кои се плашеше, и тие ке се залепат за тебе;
61. и секаква слабост и секаква рана незапишана и секаква запишана во книгата на овој закон, Господ ке испрати врз тебе, додека не те истреби;
62. и ке останете на број малкумина, а не како кога бевте многубројни колку и ѕвездите небески, бидејки не го слушавте гласот на Господа, вашиот Бог.
63. И како што Господ се радуваше, кога ви правеше добро и ве умножуваше, така ке се радува Господ, кога ке ве погубува, и ке бидете изгонети од земјата, во која одиш ти, за да ја наследиш.
64. И ке те расее Господ, твојот Бог, по сите народи, од крајот на земјата до крајот на земјата, и таму ке им служиш на други богови, кои не си ги знаел, ниту ти, ниту татковците твои, на дрво и на камен ке им служиш.
65. Но и ме у тие народи нема да те успокои, ниту ке има место, каде и да стапи ногата твоја; и таму Господ ке го нажали срцето твое и ке прати кратковидост на очите твои и душата твоја да гине;
66. животот твој ке виси пред тебе, и ке се плашиш и дење и ноке и нема да бидеш сигурен за животот свој;
67. од стравот во срцето свое ке се плашиш, и од видот на очите твои, па наутро ке кажеш: 'о, што поскоро да се стемни!', а навечер ке велиш: 'о, што поскоро да се осамне!'
68. И Господ ке те врати во Египет на кораби по оној пат, за кој што ти кажав: 'ти нема повеке да го видиш'; и таму ке бидете продавани на непријателите свои како робови и робинки, но ке нама кој да ве купи.'

Глава 29

1. Тоа се зборовите на заветот, што Господ му заповеда на Мојсеја да го склучи со синовите Израилеви во Моавската земја, освен заветот што Господ го склучи со нив на Хорив.
2. Тогаш Мојсеј ги повика сите синови Израилеви и им кажа: ''Вие видовте се, што направи Господ пред очите ваши во Египетската земја со Фараонот и со сите негови слуги и со целата земја негова;
3. имаше искушенија големи, што ги видоа очите твои, и големи знаци и чудеса од силната рака и цврстата мишка Негова,
4. но и до ден денес Господ Бог не ви даде срце за да разберете, очи да видите и уши да чуете.
5. Четириесет години ве водев по пустињата, и облеката не изветве на вас, и обувките не се искинаа на нозете ваши;
6. леб не јадевте, вино и сикер не пиевте, за да познаете дека Јас сум Господ, вашиот Бог.
7. И кога дојдовте до ова место, излезе во борба против вас есевонскиот цар Сион и васанскиот цар Ог,
8. но ние ги празивме и им ја зедовме земјата нивна и Јас им ја дадов во дел на Рувимовото и Гадовото племе, и половината на Манасиевото племе.
9. Пазете ги сите зборови на овој завет и исполнувајте ги, за да имате на ум се, што правите.
10. Сите вие застанавте денес пред Господа, вашиот Бог, началниците на племињата ваши, старешините ваши, судиите ваши, надзорниците ваши, сите мажи Израилеви,
11. децата ваши, жените ваши и придојдените, кои се во вашата населба, од дрварот ваш до водоносецот ваш,
12. за да влезете во заветот на Господа, вашиот Бог, и во клетвениот договор со Него, кога Господ, твојот Бог, денес ги склучува со тебе,
13. за да те направи денес Свој народ, и да ти биде Бог, како што им се заколна на татковците твои Авраама, Исака и Јакова.
14. Не само вам единствени ви го заветувам овој завет и овој договор со клетва,
15. туку и на оние што денес не стојат овде со нас пред Господа, нашиот Бог.
16. Зашто вие знаете, како живеевме во Египетската земја и како одевме сред народите, низ кои минавте,
17. и ги видовте одвратностите нивни и идолите нивни, дрвени и камени, сребрени и златни, што се кај нив.
18. Да нема ме у вас маж или жена, дом или племе, чие срце би се отстранило од Господа, вашиот Бог, та да оди да им служи на боговите на оние народи; да нема ме у вас корен, што ке дава пелин и отров;
19. и ако некој, кој, откако ке ги чуе зборовите на оваа клетва, се пофали во срцето свое и каже: 'добро ке ми биде, иако одам по желбите на срцето свое'; така грешникот нема да го погуби безгрешниот со себе.
20. На таков Господ нема да му прости, но гневот и ревноста на Господа ке се разгорат против тој човек, а врз него ке падне целата клетва од овој завет, напишан во овој закон, и Господ ке го избрише името негово под небото;
21. и ке го оддели Господ од сите племиња Израилеви за погубување, според сите клетви на заветот, напишан во овој закон.
22. Тогаш подоцнежното поколение, децата ваши што ке настанат по вас, и ту инецот, што ке дојде од далечна земја, откако ке ги видат поразиите на таа земја и болестите што Господ ги испратил врз неа, ке речат:
23. сулфур и сол, е целата земја; на неа не може да се сее, ниту ке роди, ниту ке никне на неа некаква трева, како што стана во Содом, Гомор, Адма и Севоим, кои Господ ги опсипа со гневот Свој и јароста Своја.
24. Тогаш ке кажат сите народи: ‘Зошто Господ постапил така со таа земја? Колку голема и

јароста на гневот Негов!‘
25. И ке одговорат: ‘Затоа што го оставија заветот на Господа, Бог на татковците свои, што им го вети на татковците нивни, кога ги изведе од Египетската земја,
26. и отидоа да им служат на други богови и да им се поклонуваат ним, кои тие не ги знаеја, и кои Он не им ги беше одредил.
27. Поради тоа се разгори гневот на Господа врз таа земја, и Он ги испрати врз неа сите клетви на заветот, напишани во оваа книга на законот;
28. и ги сотре Господ од земјата нивна во гнев, јарост и голема лутина, и ги исфрли на друга земја, како што денес гледаме.‘
29. Она што е тајно, му припа а на Господа, нашиот Бог, а она што е јавно - нам и на синовите наши довека, за да ги извршуваме сите зборови на овој закон.

Глава 30

1. Кога ке се збиднат врз тебе сите тие зборови - благословите и клетвите, што ти ги изложив, и ти ги земеш при срце кај сите народи, ме у кои ке те растури Господ, твојот Бог,
2. и од сето срце и од сета душа своја ке се обрнеш кон Господа, твојот Бог, и ке го послушаш гласот Негов ти и синовите твои, како што ти заповедам денес, -
3. тогаш Господ, твојот Бог, ке ти ги прости сите твои гревови, ке се смили над тебе, и пак ке те собере од сите народи, ме у кои те растурил Господ Бог, таму.
4. Макар и да бидеш растурен од крајот на небото дури до крајот на небото и оттаму ке те собере Господ, твојот Бог, и оттаму ке те земе,
5. и оттаму ке те доведе Господ, твојот Бог, во земјата, што ја владееле твоите татковци, и ке ја наследиш, и ке ти направи Господ добро и ке те умножи повеке од татковците твои;
6. и ке го очисти Господ срцето твое и срцето на потомството твое, за да Го сакаш Господа, твојот Бог, од се срце и со сета душа своја, и да живееш;
7. тогаш, Господ, твојот Бог, ке ги префрли сите овие клетви на непријателите твои и на оние, што те мразеа и што те гонеа;
8. и ти ке се обратиш и ке го слушаш гласот на Господа, твојот Бог, и ке ги исполнуваш сите заповеди Негови, што ти ги заповедам денес;
9. и ке те благослови Господ, твојот Бог, во секоја работа на рацете твои, во плодот на утробата твоја, во плодот на добитокот твој, во житата на земјата твоја; зашто Господ, твојот Бог ке се сврти кон тебе и ке ти се радува постојано на тебе, правејки ти добро, како што се радуваше на татковицте твои,
10. само ако го слушаш гласот на Господа, твојот Бог, и ги извршуваш сите заповеди и наредби Негови и повелби Негови, напишани во книгата на овој закон, и ако се свртиш кон Господа, твојот Бог, со сето срце свое и со сета душа своја.
11. Зашто оваа заповед, што денес ти ја давам, не е тешка за тебе, ниту далеку од тебе.
12. Таа не е на небото за да може да се каже: 'кој од нас би се воздигнал на небото и би ни ја земал и донел да ја чуеме, та да ја исполниме?';
13. ниту е преку море, за да може да се кажи: 'кој од нас би отишол преку море и би ни ја земал и дал да ја чуеме, та да ја исполниме?'
14. Но оваа заповед е многу блиска до тебе, таа е во устата твоја и во срцето твое, за да ја исполнуваш.
15. Ете, јас денес ти предложив живот и добро, смрт и зло.
16. Ако ги слушаш заповедите на Господа, твојот Бог, што денес ти ги давам, - да Го сакаш Господа, твојот Бог, да одиш по сите патишта Негови и да ги извршуваш заповедите и законите Негови, - тогаш ке живееш и ке се намножиш, и Господ, твојот Бог, ке те благослови во земјата, во која одиш, за да ја наследиш;
17. ако, пак, се одврати срцето твое, и не послушаш, и се заблудиш, па почнеш да им се клањаш на други богови и да им служиш,
18. тогаш, ви јавувам денес, дека ке загинете и нема долго да останете на земјата, која Господ Бог ти ја дава, откога ке го минете Јордан, за да ја наследите таму.
19. Ви сведочам денес со небото и со земјата: живот и смрт ти предложив јас, благослов и проклетство. Избери го животот, за да живееш ти и потомството твое:
20. да Го сакаш Господа, твојот Бог, да го слушаш гласот Негов и да се приврзеш кон Него, зашто тоа е твојот живот и долгоденствие; така ти ке живееш на земјата, за која Господ Бог им се беше заколнал на татковците твои - Авраама, Исака и Јакова, дека ке им ја даде.'

Глава 31

1. Откако заврши Мојсеј да им ги кажува тие зборови на сите синови Израилеви,
2. им рече: ‘Сега сум на сто и деведесет години; не можам веке да излегувам и да влегувам, и Господ ми рече: - ти нема да ја минеш реката Јордан -;‘
3. Господ, твојот Бог, Сам ке тргне пред тебе; Он ке ги истреби тие народи пред тебе, и ти ке ги наследиш; Исус ке тргне пред тебе, како што рече Господ;
4. и ке постапи Господ со нив така како што постапи со Сиона и со Ога, цареви Аморејски, кои беа од оваа страна на Јордан, и со земјите нивни, кои Он ги уништи;
5. и ке ви ги предаде Господ, и вие ке постапите со нив според сите заповеди, што ви ги дадов.
6. Бидете цврсти и храбри, не бојте се, не ужасувајте се, ниту се плашете од нив, зашто Господ, твојот Бог, Самиот ке тргне пред вас, и нема да отстапи од тебе и нема да те остави.
7. Тогаш Мојсеј го повика Исуса и пред сите Израилци му кажа: ‘Биди цврст и храбар, зашто ти ке влезеш со овој народ во земјата, за која Господ им се заколна на татковците ваши дека ке им ја даде, и ти ке им ја разделиш со жреб.
8. И Господ ке тргне со тебе, ке биде со тебе, нема да отстапи од тебе и нема да те остави: не плаши се и не ужасувај се.‘
9. И ги напиша Мојсеј овие заповеди од законот и им го предаде на свештениците, синови Левиеви, кои го носеа ковчегот на заветот Господов, и на сите старешини на Израилевите синови.
10. И им вети Мојсеј и им рече 'По седум години, во прошталната година, на празникот Сеници,
11. кога целиот Израил ке дојде да се јави пред Господа, твојот Бог, на место што ке го одбере Господ, прочитајте го гласно овој закон пред целиот Израил;
12. собери го народот, мажите, жените, децата и придојдените свои, што се нао аат во градовите ваши, за да чујат и да се научат да се плашат од Господа, вашиот Бог, и да пазат да ги исполнуваат сите заповеди од овој закон;
13. и синовите нивни, кои не го знаат тоа, ке чујат и ке се научат да се плашат од Господа, вашиот Бог, преку сите денови, додека живеете во земјата, за која ке го минете Јордан, за да ја наследите.'
14. И му рече Господ на Мојсеја: 'Ете, твоите денови се приближија до смртта твоја; повикај го Исуса, и застанете пред влезот во скинијата на сведоштвото, и Јас ке му дадам заповед'! И дојде Мојсеј со Исуса, и застана пред влезот од скинијата на сведоштвото.
15. И се јави во скинијата Господ во облаков столб, и застана облаковиот столб при влезот од скинијата на сведоштвото.
16. И му рече Господ на Мојсеја: 'Ете, ти ке се прибереш кај татковците свои, а овој народ ке почне да се заблудува по ту ите богови на онаа земја, во која оди, ке Ме остави и ке го наруши заветот Мој, што им го ветив;
17. и ке се разгори јароста Моја против него во овој ден, а Јас ке ги оставам и ке го свртам лицето Свое од нив, и тој ке биде истребен, и ке го снајдат многу несреки и жалости, и ке речат во тој ден: 'бидејки не е Господ Бог во нас, не снајдоа овие зла.'
18. 'А Јас со одвратност ке го свртам лицето Мое од нив во оној ден поради сите нивни беззаконија, што ке ги направат, бидејки ке се обрнат кон ту и богови.'
19. И така, напишете ги зборовите на таа песна, научете ги синовите Израилеви на неа и стаевте има ја во устата нивна, за да Ми биде таа песна сведоштво во синовите Израилеви;
20. зашто Јас ке ги воведам во добра земја, каде што тече мед и млеко, како што им се заколнав на татковците нивни дека ке им ја дадам; тие ке јадат, и откако ке се наситат, ке се обрнат кон ту и богови и ке им служат, а Мене ке ме разгневат и ке го нарушат заветот Мој, што им го ветив;
21. и кога ке ги снајдат многу несреки и жалости, таа песна ке биде против нив како сведоштво, бидејки таа нема да излезе од устата нивна и од устата на потомството нивно. Јас

им ја знам злобата нивна сега, уште пред да ги воведам во добрата земја, за која им се заколнав на татковците нивни.'
22. И во оној ден ја напиша Мојсеј таа песна и ги научи синовите Израилеви на неа.
23. И му заповеда Мојсеј на Исуса, синот Навинов, и му рече: 'Биди цврст и храбар, зашто ти ке ги воведеш синовите Изриалеви во земјата, за која им се заколна Господ, и Он ке биде со тебе.'
24. А кога Мојсеј ги напиша во книга сите зборови од овој закон дури до крајот,
25. им заповеда на левитите, кои го носеа ковчегот на заветот Господов, велејки:
26. 'Земете ја оваа книга на законот и ставете ја покрај ковчегот на заветот Господов, вашиот Бог, и таа ке биде таму како сведоштво;
27. зашто јас ја знам твојата упорност и жестоката тврдоглавост; ете и сега, кога живеам со вас, вие сте упорни пред Господа, а колку повеке по смртта моја?
28. Соберете ги при мене сите ваши началници на племињата, старешините, судиите и надзорници свои, и јас ке им ги кажам гласно овие зборови, а сведоци ке ми бидат небото и земјата
29. зашто знам, дека по смртта моја вие ке вршите беззаконија и ке отстапите од патот, што ви го заповедав, и подоцна ке ве снајдат незгоди, затоа што ке правите зло пред Господа Бога, разгневувајки Го со делата на рацете ваши.'
30. И Мојсеј ги кажа гласно пред целото израилско собраните зборовите на таа песна до крај

Глава 32

1. Внимавај, небо, јас ке говорам; и нека ги слуша и земјата зборовите од устата моја.
2. Да се разлее како дожд заветот мој, како роса да паднат зборовите мои, како пороен дожд на троскот и како слана на сено.
3. Името Господово ке го призовувам; воздајте Му слава на нашиот Бог!
4. Он е тврдина; делата Божји се вистина, а сите патишта Негови се праведни; Бог е верен и направда нема (во Него); Он е праведен и вистинит;
5. но тие станаа и згрешија пред Него, тоа не се Негови деца поради пороците свои; род дрзок и развратен.
6. Тоа ли Му го воздавате на Господа, народе глупав и безумен? Нели е Он твој Отец, Кој те создаде, те усвои и те издигна?
7. Сети се на старите денови, помисли за годините на поранешните поколенија; прашај го татка си - и тој ке ти каже, старците свои - и тие ке ти речат.
8. Кога Севишниот го разделуваше наследството на народите и ги расејуваше синовите Адамови, тогаш стави граници ме у народите според бројот на снгелите Божји,
9. зашто делот на Господа е Неговиот народ; Јаков е наследството Негово.
10. Он го најде во пустињата, во земја везводна, го заштитуваше, се грижеше за него, го чуваше како зеница на окото свое;
11. како што орелот го покрива гнездото свое, и сакајки ги орлињата, ги раширува крилјата свои, ги зема и ги носи на педувите свои,
12. така Господ Сам ги водеше нив, и немаше со Него ту бог.
13. Он ги искачи на земната височина, ги заситуваше со полски жита и ги хранеше со мед од камен и елеј од тврда карпа;
14. со кравјо масло и овчо млеко, и со лој од јагнињата, од овците, од јунците, и од козлите, со најдобро жито, и тие пиеја вино, крв од грозје.
15. И јадеше Јаков и се насити, но се одврати од таа љубов, и откако се прошири, Го остави Бога, Кој го создаде, и отстапи од Бога, Спасителот свој.
16. Со ту и богови Ме раздразнија и со одвратности свои Ме загорчија:
17. им принесуваа жртва на бесовите, а не на Бога; на боговите, што не ги познаваа, на боговите нови и непознати, кои татковците нивни не ги виделе.
18. А хранителот, кој те родил, ти Го остави, и Бога, Кој те создал, Го заборави.
19. И Господ виде, па се налути и се раздразни поради гревот на синовите Свои и керките Свои,
20. и рече: 'Ke го свртам лицето Свое од нив и ке им го покажам крајот нивни: бидејки тие се развратен род, синови, во кои нема вера;
21. тие Ме раздразнија со она што не е Бог туку со своите Идоли Ме наскрбија: и Јас ке ги раздразнам со она што не е народ, туку со народ неразбран ке ги наскрбам;
22. зашто оган се разгори од јароста Моја; тој нагорува се до пеколот вечен, ја јаде земјата и житата нејзини, ги изгорува основите на планините;
23. ке нафрлам врз нив зла и ке ги вперам против нив стрелите Мои:
24. тие ке се истоштуваат од глад, ке ги јадат птици и неизлечиви болести, и ке испратам против нив ѕверски заби и отров од земни влекачи;
25. од оваа страна ке ги погубува меч, а во домовите нивни - ужас, поразувајки младич и девојка и дете доенче и побелен старец.
26. Јас бев рекол: ке ги расеам и ке го избришам споменот нивни ме у лу ето;
27. но го одложив тоа поради озлобеноста на непријателите, за да не живеат долго, се возгордеат, па да речат: 'нашата рака е висока, и не го направи сево ова Господ.'
28. Зашто тие се народ, што го изгубил расудувањето и нема разум.
29. О, да беа расудувале, помислиле на годините што идат, и да беа разбрале што ке стане со нив!

30. Како би можел еден да гони иљади и двајца десет иљади, ако нивниот Бог не би ги предал, и Господ не би ги дал!
31. Зашто нивните богови не се како нашиот Бог, нашите непријатели се неразумни.
32. Зашто лозјето им е од содомска лоза, а прачките од Гомор; грозјето им е отровно грозје, гроздовите им се горчливи;
33. виното им е змијски отров и смртоносен аспиден отров.
34. Не е ли сето тоа сокриено о Мене? Не е ли запечатено во Моите сокровишта?
35. Ќе објавам ден за одмазда, и тоа во она време кога ќе им се соблазни ногата нивна, зашто денот на загинувањето нивно е блиску, брзо ќе настапи подготвеното за нив.
36. Но Господ ќе му суди на Својот народ, и ќе се смили над робовите Свои, кога ќе ги види ослабени, истоштени и изнемоштени.
37. И ќе рече тогаш Господ: 'Каде се боговите нивни, на кои се надеваа?
38. Лој од жртвите нивни јадевте и вино од преливите за нив пиевте, камо да воскреснат, па да ви помогнат и да ви бидат покровители?
39. И ете, видете сега дека тоа сум Јас; Јас сум и нема Бог, освен Мене: Јас уништувам и оживувам, Јас ранувам и Јас лекувам, и нема кој може да земе од раката Моја.
40. Ќе ја кренам кон небото раката Моја и се колнам во десницата Моја и велам: - жив сум довека -!
41. Кога ќе го наострам Мојот блескав меч, и раката Моја го прими судот, ќе им се одмаздам на непријателите Мои и ќе им платам на оние што Ме мразат;
42. ќе ги напојам стрелите Свои со крв, и мечот Мој ќе се насити со месо, со крвта од убиените и заробените, од главите на непријателските кнезови.
43. Веселете се, небеса, заедно со Него, и поклонете Му се, сите ангели Божји. Веселете се, незнабошци, со Неговиот народ и нека се закрепнат сите синови Божји! Зашто Он ќе се одмазди за крвта на синовите Свои, ќе им се одмазди на непријателите Свои, ќе им плати на оние, што Го мразат, и ќе ја очисти Господ замјата Своја и народот Свој!'
44. И во тој ден ја напиша Мојсеј таа песна и ги научи синовите Израилеви на неа. И се приближи Мојсеј до народот и ги кажа гласно сите зборово од овој закон пред народот, тој и Исус Навин.
45. Откако Мојсеј ги кажа сите тие зборови пред целиот Израил,
46. им рече: 'Внесете ги во срцето сите зборови, што ви ги кажав денес, и заповедајте им на децата ваши, да ги пазат и да ги исполнуваат сите зборови од овој закон;
47. зашто тие не се за вас празни зборови, туку ваш живот, и преку нив ќе живеете долго време на земјата, за која одите преку Јордан да ја наследите.'
48. И во истиот тој ден му зборуваше Господ на Мојсеја и му рече:
49. 'Искачи се на планината Аварим, тоа е планината Нево, во Моавската земја, спроти Јерихон, и погледни ја Ханаанската земја, што им ја давам на синовите Израилеви во владение;
50. и умри на планината, на која ќе се искачиш и прибери се при народот свој, како што умре братот твој Арон, на планината Ор, и се прибра при народот свој,
51. затоа што не ги послушавте заповедите Мои пред синовите Израилеви кај водите во Кадис, во пустињата Син, зашто не ја почитавте светоста Моја ме у синовите Израилеви;
52. ти само ќе ја видиш земјата, но нема да влезеш таму, - во земјата, што им ја давам на синовите Израилеви.'

Глава 33

1. Ова се благословите, со кои Мојсеј, човек Божји, ги благослови синовите Израилеви пред смртта своја.
2. И тој рече: 'Господ дојде од Синај, ни се јави нам во Сир, се покажа од планината Фаран и пристигна со десетици иљади светии; а од десната страна со Него беа ангели.
3. И ги заштити лу ето свои и сите светии се во Твои раце, и тие паднаа пред Твоите нозе.
4. И тие ги примија зборовите од овој закон, што ни го објави нам Мојсеј, наследството на народот од Јакова.
5. И тој беше омилен цар израилски кога се собираа народните кнезови заедно со Израилевите племиња.
6. Да живее Рувим и да не умира, и Симеон да биде многуброен!
7. А за Јуда го кажа ова: ‘Чуј го, Господи, гласот на Јуда и биди при народот негов; да се заштити со рацете свои, а ти биди помошник против непријателите негови.‘
8. И за Левиј рече: ‘Твојот 'тумим' и 'урим' е на сетиот маж Твој, кого Ти го укори кај водата на расправии,
9. кој им рече на татка си и на мајка си: 'јас не те видов', и браката свои не ги позна, а синовите свои не ги виде, бидејки тие, левитите, ги почитуваат зборовите Твои и го пазат заветото Твој,
10. го учат Јакова на законите твои, и Израилот на Твоите заповеди, ставаат темјан пред лицето Твое и сепаленици на жртвеникот Твој;
11. благослови ја, Господи, силата негова и прими ги делата на рацете негови, порази ги бедрата на непријателите негови, што стануваат против него и кои го мразат, за да не можат да се подигнат.‘
12. За Венијамина рече: ‘Кога Господ го сака, тој живее во Него со радост, Бог го заштитува секогаш, и тој почива врз рамената Негови.‘
13. А на Јосифа му рече: ‘Нека ја благослови Господ земјата негова со многусакани дарови небески, со роса и со подароци на бездната, што лежи долу,
14. со многусакани плодови од сонцето и многусаканите плодови од месечината,
15. со дарови од старите планини и со дарови од вечните ридови,
16. и благовремено нека ти се исполнува со пријатни и богати плодови, па тогаш Оној, Кој ми се јави во капината да слезе врз главата на Јосифа и врз темето на најдобриот брат негов;
17. цврстината му е како на првордно теле, и роговите му се како роговите на бивол; со нив ке ги избоде сите народи до крајот на земјата: тоа се десетиците иљади Ефремови, тоа се иљадниците Манасиеви.‘
18. На Завулона му рече: ‘Весели се, Завулоне, во своите патишта, и ти Исахаре, по полињата твои;
19. тие ке ги истребат народите, и вие го свикувате народот на планината, таму ке принесете жртви за правда, бидејки богатството на морето ке те храни, како и трговијата со народот што живее покрај морето.‘
20. За Гад рече: ‘Благословен нека е кој ке го прошири Гада; тој почива како лав и сокрушува мишка и глава;
21. тој ги виде првите делови на својата земја кога таму се разделуваше земјата ме у собраните кнезови и началниците, и ја исполни правдата Господова и судот со Израилот.‘
22. За Дан рече: ‘Дан е млад лав, кој што избега од Васан.‘
23. За Нефталима рече: ‘Нефталим е задоволен со пријатности, па нека се засити и со благослов од Господа; морето и југот ке ги наследи.‘
24. За Асира рече: ‘Благословен е со синовите Асир, тој ке биде омилен ме у бракатa свли и во елеј ке ја натопи силата твоја.
25. железото и бакарот ти се обувките; како деновите твои ке се зголемува силата твоја.
26. Нема друг како возљубениот Бог, Кој се пронесува по небото, тебе на помош, и како

великолепие на земјата.
27. Единиот бог е твое прибежиште, и ти си под силата на Неговите вечни мишки. Он ке го прогонува непријателот пред тебе и ке рече: истребувај!
28. И кога ке се насели Израил, ке живее сам во земјата на Јакова, земја изобилна со жито и вино, а небото ке му прака роса.‘
29. Блажен си ти, Израиле! Кој е како тебе, народ пазен од Господа, Кој ти е штит закрилник и меч на славата твоја? Твоите напријатели те молат, а ти ке ги газиш вратовите нивни.‘

Глава 34

1. Тогаш Мојсеј се искачи од рамнините Моавски на планината Нево, на врвот Фазга, спроти Јерихон, и Господ му ја покажа целата земја од Галад дури до самиот Дан,
2. и целата земја Нефталимова, и целата земја Ефремова и Манасиева, и целата земја Јудина, дури до самото последно море,
3. и пустињата и полињата околу Јерихон, град на палми, дури до Сигор.
4. И му рече Господ на Мојсеја: 'Ете ја земјата, за која им се заколнав на Авраама, Исака, и Јакова, велејки: ‘на вашето семе ке им ја дадам‘; ти ја покажав на очите твои, но ти таму нема да појдеш.'
5. И умре таму Мојсеј, слугата Господов, во земјата Моав, според зборот Господов;
6. и го погребаа во земјата Моавска близу до домот Фогаров, и дури до денеска никој не знае каде е погребан.
7. Мојсеј беше на сто и деведесет години кога умре; но видот не му беше ослабнат, и силата негова не му беше опаднала.
8. И синовите Израилеви го оплакуваа Мојсеја во Аравот Моавски кај Јордан, близу до Јерихон, триесет дена. А по деновите за плачење настана тага по Мојсеја.
9. И Исус, синот Навинов, се исполни со дух на мудрост, зашто Мојсеј ги беше возложил рацете свои врз него, и му се покоруваа синовите Израилеви и правеа така, како што му беше заповедал Господ на Мојсеја.
10. И не се појави веке таков пророк во Изралот, како Мојсеј, кого Господ го познаваше лице со лице;
11. со такви знаци и чудеса, кои ги беше испратил Господ да ги изрши во Египетската земја над Фараонот, над сите слуги негови и над целата земја негова.
12. Чудесни се и големи тие дела што Мојсеј ги изврши пред очите на целиот Израил, со силна рака и цврста мишка.

# Исус Навин

Глава 1

1. По смртта на Мојсеја, слугата Господов, Господ му рече на Навиновиот син Исуса, служител на Мојсеја, велејки:
2. 'Мојсеј, слугата Мој умре; затоа сега стани, мини преку оној Јордан, ти и сиот овој народ, во земјата, која Јас им ја давам, на синовите Израилеви.
3. Секое место, на кое ке стапнат стапалата на вашите нозе, вам ви го давам, како што му реков на Мојсеја:
4. од пустињата и од Антиливан дури до големата река, реката Еуфрат, целата земја Хетејска, и до големото море на запад ке бидат ваши предели.
5. Никој нема да устои пред тебе преку сите денови на твојот живот; и како што бев со Мојсеја, така ке бидам и со тебе: нема да те оставам и ниту ке те презрам.
6. Биди цврст и храбар, зашто ке му ја разделиш земјата на овој народ, во наследство за која им се заколнав на татковците нивни дека ке им ја дадам;
7. само биди многу цврст и храбар, и грижливо пази го и извршувај го се она што ти го заповеда слугата Мој Мојсеј; не се отстранувај од сето тоа ни надесно ни налево, туку постапувај разумно со се што ке преземаш.
8. Да не се одделува од устата твоја ова книга на законот; туку поучувај се од неа дење и ноке, за да разбереш како ке го извршуваш се она, што е напишано во неа; зашто тогаш ти ке имаш успех во патиштата твои и умно ке постапуваш.
9. Еве, ова ти заповедам Јас: биди цврст и храбар, не плаши се и не се ужасувај; зашто Господ, твојот Бог, е заедно со тебе, каде и да одиш.'
10. Тогаш Исус им заповеда на управителите народни и рече:
11. 'Влезете ме у народот и заповедајте им на лу ето и кажете им: пригответе си храна за пат, зашто по три дена ке ја минете реката Јордан, и ке влезете да ја преземете земјата, која Господ, Бог на вашите татковци, ви ја дава во наследство.'
12. А на племето Рувимово, Гадово и на полуплемето Манасиево Исус им рече:
13. 'Спомнете си, што ви заповеда Мојсеј, слугата Господов, велејки: ‘Господ, вашиот Бог ве успокои и ви ја даде оваа земја;
14. жените ваши, децата ваши и добитокот ваш нека останат во земјата, која Мојсеј ви ја даде од оваа страна на Јордан; а вие храбрите, што можете да војувате, тргнете вооружени пред браката ваши и помагајте им,
15. додека Господ, вашиот Бог, не ги успокои браката ваши, како и вас; додека и тие не ја наследат таа земја, која Господ, вашиот Бог, им ја дава; тогаш вратете се во наследствоот свое и земете ја земјата, која Мојсеј, слугата Господов, ви ја даде од оваа страна на Јордан спрема исток.'
16. Тие му одговорија на Исуса: 'Се што ни заповедаш, ке направиме, и каде и да не пракаш, ке одиме;
17. како што го слушавме Мојсеја, така ке те слушаме и тебе; само Господ, твојот Бог, да биде со тебе, како што беше со Мојсеја;
18. секој, што ке се противи на твојата заповед и не ги послуша зборовите твои во се, што и да му заповедаш, ке биде погубен. Само биди цврст и храбар!'

Глава 2

1. Исус, синот Навинов, испрати тајно од Ситим двајца млади лу е и им рече: 'Отидете, разгледајте ја замјата и градот Јерихон!' И двете момчиња отидоа и влегоа во Јерихон во куката на една блудница, по име Раав, и останаа да нокеваат таму.
2. Тогаш му јавија на Јерихонскиот цар: 'Ете, некои лу е од синовите Израилеви дојдоа тука нокеска, за да ја разгледаат земјата.'
3. Јерихонскиот цар испрати да и кажат на Раав: 'Изведи ги лу ето, што влегоа во твојот дом, бидејки дошле да ја разгледаат целата земја.'
4. Не жената ги зеде оние двајца лу е, ги сокри и рече: 'Дојдоа, навистина, кај мене лу е, но јас не знам од каде беа тие;
5. кога, пак, на стемнување требаше да се затворат портите, тие излегоа; не знам каде отидоа; трнете веднаш по нив, ке ги стигнете.'
6. А самата ги одведе на покривот и ги сокри во нечешлан лен, распростран кај неа на таванот нејзин.
7. Испратените тргнаа потоа по патот кон Јордан до самиот брод, а портите се затворија веднаш кога тргна потера по нив.
8. Пред да легнат да спијат, Раав се качи кај нив на покривот
9. и им рече: 'Знам, дека Господ ви ја дал вам оваа земја, бидејки ужас не опфати од вас, и сите жители на оваа земја се исплашија од вас;
10. зашто чувме, дека Господ Бог ја исуши пред вас водата во Црвеното Море кога сте доа але од Египет, и како сте постапиле со двајца аморејски цареви од онаа страна на Јордан, Сион и Ог, кои сте ги погубиле.
11. Кога го чувме тоа, срцето ни се стегна и во никого од нас не остана дух против вас; зашто Господ, вашиот Бог, е Бог на небото и на земјата долу;
12. И така, заколнете ми се во Господа, вашиот Бог, дека, како што јас ви покажав милост, така и вие ке бидете милостиви кон домот на мојот татко, и дајте ми верен знак:
13. оставете ги живи во домот на татко ми и мајка ми, бракатa мои и сестрите мои, и сите што се во него, и спасете ги душите наши од смрт.'
14. Тие лу е и рекоа: 'Душата наша ке ја предадеме на смрт, само сега да не не предадеш.' А таа рече: 'Кога Господ ви го предаде овој град, бидете спрема мене милостиви и верни.'
15. И таа ги спушти по јаже низ прозорецот, бидејки куката и беше на карпа и таа живееше на карпата;
16. и им рече: 'Одете сега во планината, за да не ве сретнат гонителите, и кријте се таму три дена, додека да се врати потерата што тргна по вас, а потоа одете си по вашиот пат.'
17. А лу ето и рекоа: 'Ние ке бидеме ослободени од клетвата твоја, со која не заколна ако не постапиш вака:
18. ете, кога ке дојдеме во овој градски крај, ова црвено јаже обеси го на прозорецот, низ кој не спушти, и прибери ги во куката кај себе таткото твој, мајката твоја и бракатa твои и целиот татков дом;
19. и ако некој излезе надвор од вратата на твојата кука, самиот нека си биде виновен, а ние ке бидеме ослободени од оваа твоја клетва; а за сите што ке бидат со тебе во куката твоја, крвта нивна нека биде врз главите наши, ако некоја рака се допре до нив;
20. ако, пак, некој не навреди или ги открие овие наши зборови, ние исто така ке бидеме ослободени од твојата клетва, со која не заколна.'
21. Таа одговори: 'Нека биде според зборовите ваши!' И ги пушти, и тие си отидоа, а таа го врза за прозорецот црвеното јаже.
22. Тие тргнаа и отидоа во планината и останаа таму три дена, додека се врати потерата. Гонителите ги бараа по целиот пат и не ги најдоа.
23. И се вратија обајцата млади лу е, слегоа од планината, го минаа Јордан и отидоа кај Исуса, синот Навинов и му кажаа се што им беше станало.

24. И му рекоа на Исуса: 'Господ, нашиот Бог, ја предаде целата таа земја во наши раце, и сите жители на таа земја се уплашени од нас.'

Глава 3

1. Тогаш Исус стана рано утредента, и тргна од Ситим и дојде до Јордан, тој и сите синови Изриалеви, и застанаа таму пред да го минат.
2. По три дена тргнаа управителите низ логорот,
3. и им заповедаа на лу ето, велејки: 'Кога ке го видите ковчегот на заветот Господов, вашиот Бог, и свештениците наши, левитите, да го носат, тргнете и вие од местото ваше и одете по нив.
4. Но растојанието ме у вас и нив да биде околу две иљади лакти; не се доближувајте до него, за да го знаете патот, по кој ке одите; зашто вие не сте оделе по тој пат ни вчера ни завчера.'
5. И му рече Исус на народот: 'Исчистете се утре рано, бидејки Господ ке изврши ме у вас чудеса.'
6. На свештениците, пак, им рече Исус: 'Земете го Ковчегот на заветот и одете пред народот.' Свештениците го зедоа Ковчегот на заветот и тргнаа пред народот.
7. Тогаш Господ му кажа на Исуса: 'Денес ке почнам да те издигам пред очите на сите синови Израилеви, за да дознаат дека, како што бев со Мојсеја, така ке бидам и со тебе.
8. А сега заповедај им на свештениците, кои го носат ковчегот на заветот, и кажи им: штом ке влезете во водите на Јордан, запрете во Јордан.
9. Исус им кажа на синовите Израилеви: 'Дојдете ваму и чујте ги зборовите на Господа, вашиот Бог!'
10. Уште им рече Исус: 'Од тоа ке дознаете дека ме у вас е живиот Бог, Кој ке ги изгони од вас Хананејците и Хетејците, Евејците и Ферезејците, Гергесејците, Аморејците и Јевусејците;
11. ете, ковчегот на заветот Господов на целата земја ке тргне пред вас преку Јордан;
12. и земете си дванаесетмина лу е од синовите Израилеви, по еден човек од секое племе;
13. и штом нозете на свештениците, кои го носат ковчегот на Господа над целата земја, ке стапнат во водите на Јордан, водата јорданска ке се прекине, а водата што тече одозгора, ке запре.'
14. И така, кога народот тргна од шаторите свои, за да го мине Јордан, и свештениците го понесоа ковчегот на заветот Господов пред народот,
15. тогаш, штом оние, што го несеа ковчегот на заветот Господов влегоа во Јордан, и нозете на свештениците, кои го носеа ковчегот, се накваси ја во водите на Јордан; а Јордан пак, се излива од сите свои брегови за сето време во жетвата на пченицата.
16. Водата, што течеше одозгора, запре и стана како карпа на многу големо растојание, од градот Адам, дури до пределот Зартан; а водата што течеше одозгора, почна да тече во морето, кое е солено море, се додека не истече.
17. А народот стоеше спроти Јерихон; кога пак свештениците, што го носеа ковчегот на заветот Господов, застанаа на суво среде Јордан, тогаш и сите синови Израилеви преминуваа на суво, додека целиот народ не го премина Јордан.

Глава 4

1. Кога целиот народ го премина Јордан, Господ му рече на Исуса:
2. 'Земи од народот дванаесет лу е, по еден маж од секое племе
3. и заповедај им и кажи им: ‘Земете оттука, среде Јордан, каде што стоеја неподвижно ножете на свештениците, дванаесет камења, понесети ги со себе и ставете ги на местото, каде што ке нокевате оваа нок!‘'
4. Исус повика дванаесет лу е, што ги избра од синовиет Израилеви, по еден маж од секое племе
5. и им рече: 'Одете по мене пред Господа, вашиот Бог, среде Јордан и секој нека земе оттаму по еден камен, и нека го стави на рамо според бројот на племињата на синовите Израилеви,
6. за да бидат кај вас за секогаш знак; кога ке те праша во подоцнежно време синот твои и ке рече: ‘зошто се овие камења кај вас?‘
7. а ти ке му речеш на синот твој: ‘Водата во реката Јордан престана да тече пред ковчегот на заветот на Господа над целата земја; кога тој го преминуваше Јордан, тогаш водата јорданска пресуши‘; и така тие камења ке бидат кај вас како вечен споменик на синовите Израилеви.'
8. и синовите Израилеви направија така, како што заповеда Исус: зедоа дванаесет камења од среде Јордан, како што му рече Господ на Исуса, според бројот на племињата на синовите Израилеви, и ги понесоа со себе во логорот, и ги ставија таму.
9. И други дванаесет камења постави Исус среде Јордан на местото, каде што им стоеја нозете на свешетниците, кои го носеа ковчегот на заветот Господов. Тие се таму и до ден денес.
10. Свештениците, пак, кои го носеа ковчегот на заветот Господов, стоеја среде Јордан, додека не беше свршено се што Господ му беше заповедал на Исуса - точно така, како што му беше заповедал Мојсеј на Исуса; па потоа народот брзаше и преминуваше.
11. Кога целиот народ го премина Јордан, тогаш премина и ковчегот на заветот Господов и камењата пред нив.
12. И Рувимовите синови и Гадовите синови и полу племето Манасиево поминаа вооружени пред синовите Изриалеви, како што им беше заповедал Мојсеј.
13. Околу четириесет иљади вооружени за борба преминаа пред Господа кон градот Јерихон, за да се борат.
14. Во тој ден Господ го возвеличи Исус пред целиот род Израилев и почнаа да се бојат од него, како што се боеја од Мојсеја, се додека беше жив.
15. И му рече Господ на Исуса, велејки:
16. 'Заповедај им на свештениците, што го носат ковчегот на заветот на сведоштвото, да излезат од Јордан.'
17. Исус им заповеда на свештениците и рече: 'Излезете од Јордан!'
18. И кога свештениците, што го носеа ковчегот на заветот Господов, излегоа од Јордан, и штом нозете нивни стапија на суво, водата на Јордан се спушти на своето место, потече, како вчера и завчера, по целото корито.
19. И народот излезе од Јордан во десеттиот ден на првиот месец и се смести во Галгал, на исток од Јерихон.
20. И дванаесетте камења, што ги беа зеле од Јордан, Исус ги постави во Галгал
21. и им рече на синовите Израилеви: 'Кога ке ве прашаат вашите синови, велејки: ‘зошто се овие камења?‘
22. кажете им на вашите синови: ‘Израил го помина Јордан по суво.‘
23. Зашто Господ, вашиот Бог, ги исуши водите на Јордан за вас, додека да го преминете, исто онака, како што Господ, вашиот Бог, го направи со Црвеното Море, кое го исуши пред нас, додека го преминавме,
24. за да видат сите народи на земјата, дека раката Господова е силна, и да Го почитувате Господа, вашиот Бог, во секое време.'

Глава 5

1. Кога аморејските цареви, што живееја од онаа страна на Јордан кон морето, и хананејските
цареви, што се крај морето, чуја дека Господ Бог ги исушил водите на Јордан пред синовите
Израилеви, додека тие преминувале, тогаш им се запреа мислите, се ужасија и не остана веке
во нив дух против синовите Израилеви.
2. Во тоа време Господ му рече на Исуса: 'Направи си камени ножеви од остар камен и обрежи
ги синовите Израилеви по вторпат!'
3. Тогаш Исус направи остри ножеви од камен, и ги обреза синовите Изриалеви во местото
наречено Рид на обрезанието.
4. И така ги обреза Исус синовите Израилеви, кои тогаш се родија по патот, и кои ме у
излезените од Египет тогаш не беа обрезани, сите ги обреза Исус; сиот народ, што беше
излегол од Египет, од машки пол, сите способни за војна умреа во пустињата по патот, откако
без излагле од Египет;
5. бидејки сите излезени беа обрезани, а сите, што беа се родиле во пустињата по патот, по
излегувањето од Египет, не беа обрезани;
6. зашто синовите Израилеви четириесет години одеа по пустињата Мавдаритит; заради тоа
мнозина не беа обрезани, додека изумреа сите способни за војна, што беа излегле од Египет,
кои не го послушаа гласот Господов и на кои Господ им се залона, дека нема да ја видат
земјата, која Господ со клетва беше им ја ветил на татковците нивни, дека ке ни ја даде нам
земјата, каде што тече мед и млеко,
7. а на место нив ги постави синовите нивни. Нив ги обреза Исус, зашто тие не беа обрезани;
бидејки нив, како родени по патот, не ги обрезуваа.
8. Сиот народ, откако беше обрезан, си остана на местото во логорот, додека не оздрави.
9. Тогаш Господ му рече на Исуса: 'Сега Јас го симнав од вас египетскиот срам!' И тоа место се
наречува дури и до ден денес 'Галгал'.
10. И се задржаа синовите Израилеви во логорот во Галгал и направија Пасха во рамнините
Јерихонски на четиринаесеттиот ден од месецот, вечерта;
11. и на вториот ден по Пасха почнаа да јадат од пченицата на таа земја - бесквасни лебови и
печени зрна во истиот тој ден;
12. и маната престана да па а во тој ден, по кое почнаа да јадат од житото на таа земја; и веке
немаше мана кај синовите Израилеви: во таа година тие јадеа од плодовите на Хананската
земја.
13. Кога Исус се нао аше близу до Јерихон, погледна и виде, и ете, пред него стои човек, со
истргнат меч во раката. Исус се приближи до него и му рече: 'Наш ли си, или си од нашите
непријатели?'
14. Тој му одговори: 'Не; јас сум водачот на војската Господова, сега дојдов овде.' Исус падна
ничкум на земја, се поклони и му рече: 'Што ке му заповедаш на својот слуга?'
15. Водачот на војската Господова му рече на Исуса: 'Собуј ги обувките од нозете свои, бидејки
местото, на кое стоиш, е свето.' Исус така и направи.

Глава 6

1. А Јерихон беше утврден и затворен поради страв од синовите Израилеви; никој не излегуваше и не влегуваше во него.
2. Тогаш му рече Господ на Исуса: 'Еве, Јас го предавам Јерихон во рацете твои и царот негов и силните лу е во него;
3. опколете го градот сите вие, способни за војна, и обиколувајте го градот по еднаш секој ден, така правете шест дена;
4. и седум свештеници нека носат пред ковчегот седум труби од рогови; а седмиот ден обиколете го градот седумпати и свештениците нека трубат со трубите од рогови.
5. И штом ке затрубат со трубниот рог, па го чуете гласот трубен, целиот народ нека воскликне, и градските ѕидишта ке паднат сами до основата своја пред оние што викаат; и тогаш целиот народ да навлезе во градот, тргнувајки секој од своето место.'
6. Тогаш дојде Исус, синот Навинов, кај свештениците Израилеви и им рече: 'Земете го ковчегот на заветот Господов и седум свештеници нека носат седум рожени труби пред ковчегот Господов!'
7. И им рече, велејки: 'Заповедајте му на народот да го обиколат и да го опкружат градот; а вооружените нека одат пред ковчегот Господов.'
8. Штом Исус му го кажа тоа на народот, рече и седумте свештеници, што ги имаа седумте свештени труби, да појдат и да затрубат громогласно со трубите, и ковчегот на заветот Господов да оди по нив.
9. Вооружените, пак, одеа пред свештениците, кои трубеа со трубите; и оние што одеа по нив, по кочегот на заветот Господов, трубеа со трубите.
10. На народот, пак, Исус му заповеда и рече: 'Не викајте и да не се чуе глас од вас, и да не излегува збор од устата ваша до оној ден, додека не ви заповедам: викајте! - и тогаш ке викнете.'
11. Така ковчегот на заветот Господов тргна околу градот и еднаш го обиколи; и дојдоа во логорот и нокеваа во него.
12. На вториот ден Исус стана утрината рано, и свештениците го понесоа ковчегот на заветот Господов;
13. и седумте свештеници, што ги носеа седумте труби пред ковчегот Господов, одеа и трубеа со трубите; вооружените, пак, одеа пред нив, а другите одеа по ковчегот на заветот Господов и свештениците затрубија со рожените труби.
14. И вториот дена го обиколија градот еднаш и се вратија во логорот. Така правеа шест дена.
15. На седмиот ден станаа рано и го обиколија градот седумпати; само тој ден го обиколија градот седумпати.
16. И при седмото заобиколување свештениците затрубија во трубите. Тогаш Исус му рече на народот: 'Викајте, бидејки Господ ви го предаде градот!
17. И градот нека биде проколнат, и се што е во него, од силата Господова; само блудницата Раав запазете ја, неа и секој што е во домот нејзин; зашто таа ги сокри извидниците што ги пративме.
18. Но вие пазете се од клетвата, за да не паднете и самите по клетва, ако земете нешто од заколнатото, и со тоа на логорот и на синовте Израилеви да им нанесете клетва, и нас да не истребите.
19. Златото, пак, среброто и бакарот и железото се за Господа и да се внесат во сокровиштето Господово!'
20. И затрубија свештениците со трубите. Штом го чу народот гласот на трубите, сите заедно извикаа со висок и силен глас, и сите градски ѕидишта паднаа, и целиот народ влезе во градот, секој од своето место, и го презедоа градот.
21. И проколна Исус се што беше во градот, - мажите и жените, младите и старите, овците и ослите; се се истреби со меч.

22. А на двајцата младичи што ја беа разгледале земјата, Исус им рече: 'Влезете во домот на жената блудница и изведете ја оттаму неа и сите што се кај неа, бидејки вие и се заколнавте.'
23. Тогаш влегоа младичите, што го разгледуваа градот, во домот на жената и ја изведоа блудницата Раав и таткото нејзин, мајката нејзина, браката нејзини и сите нејзини роднини и сите, што беа кај неа, ги изведоа и ги ставија надвор од логорот на Израилот.
24. А градот и се што беше во него, го изгореа со оган; само среброто и златото, бакарот и железото ги предадоа, за да се внесат во сокровишницата Господова.
25. Блудницата, пак, Раав и целиот нејзин татков дом, Исус ги остави живи, и таа живее ме у Израилот до денес, зашто ги сокри извидниците, што ги испрати Исус за да го разгледаат Јерохон.
26. Во тој ден Исус проколна и рече: 'Проклет да биде пред Господа оној, што ке го издигне и изгради овој град Јерихон; врз првородениот син свој тој ке ги положи основите негови и врз најмалиот син свој ке ги постави портите негови!' А тоа го направи Азан, родум од Ветил; тој го основа врз првородениот син свој Авирон и врз најмалиот, Спасен, ги постави портите негови.
27. И Господ беше со Исус, и славата Негова се разнесуваше по целата земја.

Глава 7

1. Но синовите Израилеви направија голем грев и зедоа од заколнатото. Ахан, синот на Хармија, син на Завдија, Заров син од Јудиното племе, зеде од заколнатото, и гневот Господов се разгори против синовите Израилеви.
2. Од Јерихон Исус испрати лу е во Гај, кој е на спротива на Витаин, источно од Ветил, и им рече: 'Одете, разгледајте ја земјата!' Тие отидоа и го разгледаа Гај.
3. И откако се вратија кај Исуса, му рекоа: 'Нека не оди целиот народ, туку нека отидат две до три иљади лу е и ке го разбијат Гај; не пракај го таму целиот народ, бидејки тие се малку на број.'
4. И така, отидоа таму од народот околу три иљади души, но тие почнаа да бегаат пред гајските жители;
5. гајските жители убија од нив до триесет и шест души, ги гонеа од портите и ги разбија при стрмнината на планината; од тоа срцата на лу ето се растопија и станаа како вода.
6. Исус ја раскина облеката своја и падна ничкум на земјата пред ковчегот на Господа и лежеше дури до вечерта, тој и старешините Израилеви, и ги посипаа со пепел главите свои.
7. И рече Исус: 'Ти се молам, Господи Боже, зошто го преведе слугата Твој народот преку Јордан, за да ги предадеш во рацете на Аморејците на погубување? Камо да бевме останале да живееме од онаа страна на Јордан!
8. О, Господи, што да кажам, бидејки Израилот го свте грбот пред своите непријатели?
9. Хананејците и сите жители на земјата ке чујат, ке не опколат и ке не истребат нас од земјата. И што ке направиш за името Твое Големо?'
10. Господ му одговори на Исуса: 'Стани, зошто падна ничкум?
11. Згрешија лу ето и ја прекршија мојата заповед, што им ја дадов; украдоа од проколнатото, и го сокрија ме у работите свои;
12. затоа синовите Израилеви не можат да издржат пред непријателите свои и им сврτија грб, бидејки тие потпаднаа под клетвата; нема да бидам веке со вас, ако не го отстраните од вас проколнатото.
13. Стани, очисти го народот и кажи: 'Очистете се за утре, бидејки така вели Господ, Бог Израилев: ‘Проколнатото е во тебе, Израиле; затоа ти не ке можеш да издржиш пред непријателите свои, додека не го отстраниш од себеси проклетството.
14. Соберете се утре сите според племињата свои; племето, пак, што ке го покаже Господ, нека мине по родовите; и родот, што ке го покаже Господ, нека мине по домовите, што ке ги покаже Господ, и нека мине човек по човек;
15. кој ке биде фатен, дека украл од проколнатото, со оган нека се изгори тој и се што е негово, затоа што ја прекршил заповедта на Господа и направил престап ме у Израилот.'
16. Откако стана утредента рано, Исус ги преведе лу ето според племињата свои, и беше покажано Јудиното племе;
17. потоа заповеда да минат родовите на Јуда, и беше посочен родот на Зара; му заповеда на Заровиот род да мине според домовите, и се појави родот на Завдија;
18. Му заповеда на домот негов да мине човек по човек, и беше покажан Ахан, синот на Хармија, син на Завдија, Заров син, од Јудиното племе.
19. Тогаш Исус му рече на Ахан: 'Синко, прослави Го Господа, Бога Израилев, исповедај се пред Него и кажи ми, што си направил; не криј од мене.'
20. Ахан му одговори на Исуса и рече: 'Навистина, јас згрешив пред Господа, Бога Израилев, и го направив ова и ова;
21. ме у предметите пленети видов една убава и добра облека, и две дидрахми сребро и еден сосуд од злато, со вредност од педесет дидрахми; тоа ми се свиде и јас го зедов; и, ете, тоа е сокриено во земјата во домот мој, и среброто е сокриено под него.'
22. Исус испрати лу е, и тие отидоа во домот негов во логорот; и ете, сето тоа беше сокриено во домот негов, и среброто под него.

23. Тие го изнесоа тоа од домот, го донесоа кај Исуса и кај старешините Израилеви и го ставија пред Господа.
24. Тогаш Исус и сите Израилци со него го зедоа Заровиот син Ахан, среброто, облеката, и сосудот од злато, синовите негови и керките негови, воловите негови и ослите негови, овците негови и домот негов, и се што беше негово, и го одведоа во долината Ахор.
25. И рече Исус: 'Затоа што некои од нас истреби, Господ ке те истреби денес тебе.' И сите Израилци го убија со камења, го изгореа него и предметите со оган, и нафрлаа врз нив камења.
26. И нафрлаа врз него голема грамада камења, која остана се до ден денес. Потоа стивна силата од гневот на Господа. Поради тоа, она место денес се вика 'Долината Ахор'.

Глава 8

1. И му рече Господ на Исуса: 'Не палши се и не се ужасувај; земи ги со себе сите мажи, способни за војна и оди во Гај; ете, Јас го предавам во твои раце гајскиот цар и народот негов, градот негов, и земјата негова.
2. Направи му на Гај и царот негов исто она што му направи на Јерихон и царот негов; само пленот и добитокот негов поделете се го; постави заседа зад градот.'
3. Исус и сите мажи, способни за војна, се подготвија да одат во Гај; и одбра Исус триесет иљади души храбри и ги испрати во текот на нокта,
4. им даде заповед, велејки: 'Скријте се зад градот; не се оддалечувајте од градот и бидете сите готови;
5. јас, пак, и сите мажи, што се со мене, ке се доближиме до градот и штом жителите галски ке излезат против нас, како и порано, ние ке избегаме од нив;
6. тие ке јурнат по нас, и така ние ке ги одвлечеме од градот, зашто тие ке речат: - бегаат од нас, како и порано -; откога ке избегаме од нив,
7. вие станете од заседата и одете во градот, и Господ, вашиот Бог, ке ви го предаде во рацете ваши.
8. Откога ке го преземете градот, запалете го градот со оган, постапете според заповедта моја; тоа ви го заповедам јас.'
9. Така ги испрати Исус, и тие отидоа во заседа и заседнаа ме у Ветил и Гај, на запад, од Гај; таа нок пренокева Исус среде народот.
10. Откако стана утрината рано, Исус го прегледа народот и тргна тој и старешините Израилеви пред народот за Гај;
11. и сите мажи, способни за војна, што беа со него, тргнаа, се приближија и дојдоа до градот од спротива, од исток, додека заседата беше откај морето.
12. И се сместија на север од Гај, а ме у нив и Гај имаше долина. Потоа Исус зеде до пет иљади души и го постави во заседа ме у Ветил и Гај, на запад од градот.
13. И целиот логор, кој беше на север од градот, се распореди така, што западниот дел беше на запад од логорот. А Исус отиде таа нок среде долината.
14. Штом гајскиот цар го виде тоа, стана рано и излезе веднаш со жителите градски против Израилот во борба на определеното место пред рамнината; но тој не знаеше, дека против него има заседа зад градот негов.
15. Исус и целиот Израил, како божем се разбиени од нив, избегаа кон пустињата;
16. а тие го повикаа целиот народ, што беше во градот, за да ги гонат, и, гонејки го Исуса, се оддалечија од градот;
17. и не остана во Гај и Ветил ниту еден човек, кој не беше тргнал по Израилот; а градот свој го оставија отворен, гонејки го Израилот.
18. Тогаш Господ му рече на Исуса: 'Спружи го копјето, што е во раката твоја, кон Гај, бидејки Јас ке го предадам во рацете твои и заседата веднаш нека стане од местото свое!' Исус ја сприжи кон градот раката своја со копјето, што беше во раката негова.
19. А оние што беа во заседа станаа веднаш од местото свое и јурнаа, штом ја испружи раката своја, влегоа во градот, го презедоа и за миг го запалија со оган.
20. Жителите гајски, кога погледнаа назад, видоа, дека од градот се крева дим кон небото. Немаше каде да бегаат - ниту натаму, ниту наваму; зашто народот, што беше во пустињата, се сврте кон гонителите.
21. Исус и целиот Израил, кога видоа, дека оние што беа во заседа го презеле градот и дека од градот се крева дим кон небото, се вратија и почнаа да ги убиваат Гајците.
22. А оние од градот излегоа против нив, така што тие се надјоа ме у Израилците, од кои едни беа на една страна, а другите на друга; така ги разбија, што не оставија од нив ниту еден жив, ниту избеган;
23. а гајскиот цар го фатија жив и го доведоа кај Исуса.

24. Откога Израилците ги убија сите жители од Гај во полето и пустињата, каде што ги гонеа, и откако тие сите до еден паднаа од сечилото на мечот, тогаш сите Израилци се вратија во Гај и го поразија со сечилото на мечот.
25. Загинатите од тој ден мажи и жени, сите од Гај, беа дванаесет иљади.
26. Исус не ја тргна раката своја, што ја беше испружил со копјето, додека не ги проколна сите од Гај;
27. само добитокот и пленот од тој град синовите Израилеви го поделија ме у себе, според Господовиот збор, што Господ беше му го кажал на Исуса.
28. Тогаш Исус го изгори Гај и го претвори во вечни урнатини, во пустињата до денес;
29. а гајскиот цар го обеси на дрво и го остави на дрвото до вечерта; по зајдисонце Исус пак им заповеда, и го симнаа трупот негов од дрвото, го фрлија пред градските порти во ров, и натрупаа врз него голема грамада камења, која постои до ден денешен.
30. Тогаш Исус му изгради жртвеник на Господа, Бога на Израилот, на горатa Гевал,
31. како што Мојсеј, слугата Господов, им беше заповедал на синовите Израилеви, за кое беше напишано во книгата на Мојсеевиот закон, - жртвеник од цели камења, до кои не допрело железо; и принесоа врз него сепаленица на Господа и жртва за спасение.
32. И таму на камењата Исуа напиша препис од законот на Мојсеја, што тој го беше напишал пред синовите Израилеви.
33. Сиот Израил, старешините негови и управителите негови и судиите негови, застанаа од едната и од другата страна на ковчегот спроти свштениците, - левитите, кои го носеа ковчегот на заветото Господов, - како придојдените, така исто и придојдените жители, едната половина од нив кај планината Гаризим, а другата половина кај планината Гевал, како што порано Мојсеј, слугата Господов, беше заповедал да се благослови народот Израилев.
34. Потоа Исус го прочита сите зборови од законот, благословувањата и проклетставa, како што е напишано во книгата на законот;
35. од се она, што Мојсеј му беше заповедал на Исуса, немаше ни збор, што Исус не го причита пред целото Израилско собрание, пред мажите и жените и децата и придојдените, што се најдоа ме у нив.

Глава 9

1. Откако го чуја тоа аморејските цареви, кои беа од оваа страна на Јордан, по планината и рамнината и по целиот брег на Големото Море, и кои беа близу до Антиливан, - Хетејците, Аморејците, Гергесејците, Хананејците, Ферезејците, Евејците и Јевусејците,
2. се собраа сите, за да удрат заедно против Исуса и Израилот.
3. Но жителите гаваонски, откако чуја, што му направил Господ на Јерихон и на Гај,
4. употребија и тие итрина; отидоа и се снабдија со храна за пат и ставија ветви вреки на ослите свои и ветви, испокинати и закрпени мевови за вино;
5. и обувките на нозете им беа стари, закрпени, и облеката нивна - ветва; и сиот леб нивни за пат беше сув и мувлосан.
6. Тие дојдоа кај Исуса во логорот Израилев во Галгал и му рекоа нему и на сите Израилци: 'Ние сме дојдени од многу далечна земја; впрочем ако сакате склучете со нас сојуз.'
7. А Израилците им одговорија на Евејците: 'Вие, можеби живеете близу до нас; како ке склучиме сојуз со вас?'
8. Тие му рекоа на Исуса: 'Ние сме твои робови.' А Исус ги праша: 'Кои сте вие и од каде сте дошле?'
9. Тие му одговорија: 'Од многу далечна земја се дојдени твоите робови во името на Господа, твојот Бог, зашто ја чувме славата Негова и за се што извршил Он во Египет,
10. и за се она, што им направи на двајцата аморејски цареви, кои беа од онаа страна на Јордан, на есевонскиот цар Сион и на васанскиот цар Ог, кои живееја во Астарот и во Едраин.
11. Кога го чуја тоа, старешините наши и сите жители на нашата земја ни рекоа: земе во рацете свои леб за пат, одете им во пресрет и кажете им: ‘Ние сме ваши робови; па, ако сакате, склучете сојуз со нас.
12. Овој наш леб го зедовме од куките наши топол во денот, кога тргнавме кон вас, а сега ете, тој се исушил и мувлосал;
13. и овие мевови со вино, кои кога ги наполнивме беа нови, ете се испокинаа; и овие наши облеки и обувките изветвеа поради многу долгиот пат.'
14. И кнезовите го зедоа лебот нивни, а Господа не го прашаа.
15. Тогаш Исус склучи со нив мир и постави услов, дека ке им го зачува животот; и кнезовите на народот им се заколнаа.
16. А по три дена, откако склучија со нив сојуз, слушнаа дека тие биле нивни соседи и дека живеат близу до нив;
17. зашто синовите Израилеви кога тргнаа на пат, дојдоа до градовите нивни на третиот ден; градотиве нивни, пак, беа: Гаваон, Кефира, Вирот и уште градот Јарим.
18. Исус и синовите Израилеви не ги погубија, зашто сите кнезови народни им се заколнаа во Господа, Израилевиот Бог. Затоа целото општество Израилево замрмори против кнезовите.
19. Сите кнезови му рекоа на целиот народ: 'Им се заколнавме во Господа, Израилевиот Бог, и затоа не можеме да ги допреме нив;
20. а, еве, што ке направиме со нив: ке ги оставиме живи, за да не не стигне гневот поради клетвата, со која им се заколнавме.'
21. И им рекоа уште кнезовите: 'Нека живеат, но ке сечат дрва и ке носат вода за целото општество.' И целиот народ направи така, како што му рекоа кнезовите.
22. Исус ги повика и им рече: 'Зошто не измамивте, кога рековте: ‘ние сме многу далеку од вас, а вие сте живееле блиску до нас?‘
23. Отсега да сте проклети! Вечно ке бидете робови, ке сечете дрва и ке носите вода за мене и за домот на мојот Бог!'
24. Тие му одговорија на Исуса и рекоа: 'Дојде до ушите на твоите робови, дека Господ, твојот Бог, му заповедал на својот слуга Мојсеј, оти ке ви ја даде цела земја, и дека ке не погуби нас и сите жители на оваа земја пред лицето ваше; затоа ние многу се уплашивме да не ни го земете животот, па го направивме тоа;

25. сега, ете, ние сме во твои раце: како ти се чини дека е подобро и поправедливо да постапиш со нас, така и направи.'
26. И Исус така и постапи со нив: ги избави од рацете на синовите Израилеви, и тие не ги погубија.
27. И во тој ден Исус нареди тие да сечат дрва и да носат вода за целото општество и за жртвеникот на Господа; поради тоа оние што живееја во Гаваон станаа дрвари и водари за жртвеникот Божји дури и до денес, на она место, што ќе го избере Господ.

Глава 10

1. Кога ерусалимскиот цар Адонивезек чу, дека Исус го презел Гај и го предал на клетва, и дека постапил со Гај и со царот негов така, како што постапил со Јерихон и царот негов, и дека Гаваонците склучиле мир со Исуса и со Израилот и со другите ме у нив,
2. тој многу се уплаши, бидејќи Гаваон беше голем град, како еден од царските градови, и поголем од Гај, и сите жители негови беа храбри лу е.
3. Поради тоа ерусалимскиот цар Адонивезек испрати пратеници кај хевронскиот цар Елам, и кај Феран, царот јеримутски, и кај Афи, царот лахиски, и кај Давир, царот одоламски, да им кажат:
4. 'Дојдете кај мене и помогнете ми да го сосипеме Гаваон, затоа што склучи мир со Исуса и синовите Израилеви.'
5. Тие се собраа и отидоа петмина аморејски цареви: ерусалимскиот цар, хевронскиот цар, јеримутскиот цар, лахискиот цар, одоламскиот цар, тие и целиот нивни народ, и го опседнаа Гаваон и почнаа да војуваат против него.
6. Гаваонците испратија до Исуса во логорот Израилев во Галгал, да кажат: 'Не ја тргнувај раката од твоите робови; дојди поскоро кај нас, избави не и помогни ни; зашто против нас се собрани сите аморејски цареви, што живеат во планините.'
7. Исус тргна од Галгал, тој и со него сите способни за војна, и сите храбри мажи.
8. Тогаш Господ му рече на Исуса: 'Не се бој од нив, зашто Јас ги предадов во рацете твои: никој од нив нема да устои пред лицето твое.'
9. И ги нападна нив Исус ненадејно, бидејќи целата нок беше одел од Галгал.
10. Господ ги доведе во забуна од Израилците, и тие им нанесоа голем пораз во Гаваон, ги гонеа по патот кон Веторон и ги поразуваа дури до Азик и до Макид.
11. А кога бегаа од Израилците по падините на Веторонската планина, Господ фрлаше врз нив од небото големи камења до самиот град Азик, и тие умираа: умрените од камењата беа повеке, отколку оние, што синовите Израилеви ги убија со меч во борбата.
12. Тогаш Исус Му рече на Господа во оној ден, во кој Господ Бог го предаде Аморej во рацете на Израилот - откако ги порази во Гаваон, и тие беа избиени од синовите Израилеви, - и рече пред Израилците: 'Запри се, сонце, над Гаваон, и ти, месечино, над долината Елон!'
13. И сонцето застана, и месечината стоеше, додека Бог им се одмаздуваше на непријателите нивни. Нели е тоа запишано во книгите на Праведниот: ‘Сонцето застана на небото и не брзаше да зајде скоро цел ден?‘
14. Таков ден немало ни пред ни по оној, во кој Господ така да послушал човечки глас. Зашто Господ војуваше за Израилот.
15. Потоа Исус и целиот Израил со него се вратија во логорот, во Галгал.
16. А оние петмина цареви избегаа и се сокрија во пештерата во Макид.
17. Кога му јавија на Исуса и му рекоа: 'Ги најдовме петмината цареви, тие се кријат во пештерата во Макид',
18. Исус рече: 'Навалете големи камења пред влезот на пештерата и поставете кај неа лу е да ги пазат;
19. а вие не се задржувајте тука, туку гонете ги непријателите ваши, истребувајте ги последните делови од војската нивна и не им дозволувајте да отидат по градовите нивни, бидејќи Господ, вашиот Бог, ги предаде во рацете ваши.'
20. Откако Исус и синовите Израилеви им нанесоа многу голем пораз, и другите од нив избегаа во утврдените градови,
21. целиот народ се врати мирно во логорот кај Исуса во Макид, и никој не отвори уста против синовите Израилеви.
22. Тогаш Исус рече: 'Отворете го влезот на пештерата и доведете ги кај мене од пештерата петмината цареви!'
23. Така и направија: ги доведоа кај него од пештерата петмината цареви: ерусалимскиот цар,

хевронскиот цар, јермутскиот цар, лахискиот цар и одоламскиот цар.
24. Кога ги изведоа овие цареви пред Исуса, Исус ги повика сите Израилци и им кажа на воените началници, што беа оделе со него: 'Приближете се, стапнете со нозете свои врз вратовите на тие цареви!'
25. Исус им рече: 'Не плашете се и не се ужасувајте, бидете цврсти и храбри; зашто така ке постапи Господ со сите ваши непријатели, со кои ке војувате.'
26. Потоа Исус ги уби, и ги обеси на пет дрвја; и висеа на дрвјата до вечерта.
27. На зајдисонце Исус заповеда, и ги симнаа од дрвјата, ги фрлија во пештерата, во која се криеја, и на влезот на пештерата натрупаа големи камења, кои се и денес таму.
28. Во истиот ден го презедоа Макид и го поразија со меч него и царот негов, и се живо, што се нао аше во него: не оставија никој, кој да не беше погоден или да избегал; и со макидскиотт цар постапија така, како што постапија со јерихонскиот цар.
29. Потоа тргна Исус и сите Израилци со него од Макид за Левна и војуваше против Левна
30. И ја предаде Господ и неа во рацете на Израилот и ја презедоа неа и царот нејзин, и истреби Исус со меч се живо, што се нао аше во неа; не остави во неа никој, што не беше погоден или да избегал, а со царот постапи така, како што постапи со јерихонскиот цар.
31. Од Левна тргна Исус и сите Израилци со него за Лахис, се улогори пред него и почна да војува против него;
32. и го предаде Господ Лахис во рацете на Израилот, и тој го презеде во вториот ден, и го порази со меч него и се живо, што беше во него, и го истреби така, како што постапи со Левна.
33. Тогаш на помош на Лахис му дојде газерскиот цар Орам; но Исус го порази со меч и него и народот негов така, што не остави од народот никој што не беше погоден или да избегал.
34. И тргна Исус и сите Израилци со него од Лахис за Аглон, се улогори пред него и почна да војува против него;
35. го предаде Господ и него во рацете на Израилот и го презедоа во истиот ден и го поразија со меч, и со се живо, што се нао аше во него во тој ден, постапи така, како што постапи со Лахис.
36. Потоа појде Исус и сите Израилци со него од Аглон за Хеврон, го опседнаа,
37. го презеде и го порази со меч него и царот негов, сите градови негови и се живо, што се нао аше во него; не остави никој, што не беше убиен; како што постапи со Аглон, така го порази и него и се живо, што се нао аше во него.
38. Потоа се обрна Исус и целиот Израил со него кон Давир и го опседна;
39. го презедоа него, царот негов и сите села негови, и го поразија со меч, и ги истребија нив и се живо, што се нао аше во него: никого не остави жив; како што постапи со Хеврон и царот негов, со Левна и царот нејзин, така постапи и со Давир и царот негов.
40. И ја порази Исус целата планинска земја, и Нагев и рамницата и Асидот и сите цареви нивни; не остави никого да преживее, и се живо погуби, како што беше заповедал Господ, Бог Изриалев.
41. го порази Исус од Кадис - Варни дури до Газа и целата земја Госом дури до Гаваон;
42. и сите тие цареви и земјите нивни Исус ги презеде веднаш, бидејки Господ, Бог Израилев, му помагаше на Израилот.
43. Потоа Исус и сите Израилци со него се вратија во логорот, во Галгал.

Глава 11

1. Кога го чу тоа асорскиот цар Јавин, прати лу е кај мадонскиот цар Јовав и кај семерскиот
цар, и кај ахавскиот цар,
2. и кај царевите, што живееја на планината, и во Арав спрема Хенерет, и во рамнината и во
Нафадор
3. и кај приморските Хананејци, што живееја на исток, и кај приморските Аморејци, и кај
Хетејците, и кај Ферезејците и Јевусејците, кои живееја во планината, и кај Евејците, што се
под Аермон, во земјата Масиф.
4. И излегоа сите тие цареви, а со нив и многу лу е, толку многу колку песокта во приморјето,
со коњи и многу коли.
5. И слегоа сите тие цареви, па се соединија и се сместија кај водата Марон, за да војуваа
против Израилот.
6. но Господ му рече на Исуса: 'Не се плаши од нив, зашто утре, во ова време, ке им ги
предадам нив сите на синовите Изралеви, за да ги убијат; а на коњите да им ги пресечат
жилите и колите со оган да ги изгорат.'
7. Исус и со него сите способни за војна излегоа нанадејно против нив кај Меронската вода и ги
нападнаа во планините.
8. И Господ ги предаде во рацете Израилеви, и тие ги разбија и ги гонеа дури до големиот
Сидон и до Масерфот - Маим и до полињата Масифски на исток, и ги убиваа се додека од нив
не остана никој жив, или да избега.
9. И постапи Исус со нив така, како што му рече Господ: на коњите им ги пресече жилите, а
колите им ги изгоре со оган.
10. Во исто време Исус, откако се врати, го презеде Асор и царот негов го уби со меч. Асор,
пак, порано владееше над сите тие царства;
11. и погуби со меч се живо, што беше во него, и не остави во него ниедна жива душа. А Асор,
тој го изгоре со оган.
12. И сите градови на тие цареви ги зазеде Исус, и царевите со меч ги уби, како што беше
заповедал Мојсеј, слугата Господов.
13. Но, сите тие утврдени градови, Израилот не ги изгоре, освен само Асор, кој го запали Исус.
14. А сето богатство од тие градови и сиот добиток го запленија синовите Израилеви; сите лу
е, пак, ги убија со меч, така што сите беа истребени; не оставија од нив ниту една жива душа.
15. Како што му беше заповедал Гопод на својот слуга Мојсеј, така Мојсеј му заповеда на
Исуса, а Исус така и направи: не отстапи ниту од еден збор во се што му беше заповедал
Господ на Мојсеја.
16. Така ја презеде Исус целата онаа планинска земја, и целата земја Нагев и целата земја
Госом, како и рамнината на запад, и планината Израилева, и полињата покрај планината,
17. од планината Хелх, која се протега кон Сеир, и дури до Валгад, и полето Ливан, под
планината Аермон, и сите цареви нивни ги фати и ги уби.
18. Долго време Исус војуваше со тие цареви.
19. И немаше ниеден град, кој Господ не му го предаде на Израилот, освен Гаваон во кој
жевееја Евејците; сите тие со борба ги заѕедоа;
20. зашто од Господа беше тоа, тие да го ожесточат срцето свое и да започнат борба против
Израилот - за да бидат истребени и за нив да нема милост, туку да бидат погубени така, како
што му беше заповедал Господ на Мојсеја.
21. Во тоа време пристигна Исус и ги порази сите Енакијци на планината, во Хеврон, во Давир,
во Анов, по целата планина Израилева, и по целата планина Јудина со градовите нивни и ги
истреби Исус.
22. Од Енакијците на остана ниеден во земјата на синовите Израилеви; останаа само во Газа,
во Гет и во Асидот.
23. Така ја презеде Исус целата земја, како што му беше заповедал Господ на Мојсеја, и му ја

предаде Исус во наследство на Израилот, откако ја раздели на племињата нивни. И земјата престана да војува.

Глава 12

1. Еве ги царевите на оние земји, кои синовите Израилеви ги убија и чија земја ја наследија од онаа страна на Јордан, од источната страна, од Арнонската долина дури до планината Ермон, и целата рамнина на исток;
2. Сион, аморејскиот цар, кој живееше во Есевон и владееше од Ариор, што е кај бреговите на потокот Арнон, кон средината на потокот, и половината Галад, до потокот Јавок, предели на синовите амонитски;
3. И Арав дури до Хенеретското Море на исток, и дури до морето Аравско, Соленото Море, на исток по патот за Витсимот, и од Теман кое е под горага Фазга;
4. и Ог, васанскиот цар, последниот од исполините кој живееше во Астарот и во Едраин,
5. и владееше од планината Ермон и Селха, и со целиот Васан, до Гесурската и Махатската граница, и со половината на Галад, до пределите на есевоскиот цар Сион.
6. Мојсеј, слугата Господов, и синовите Израилеви ги убија; и ја даде Мојсеј, слугата Господов, во наследство на племето Рувимово и Гадово и на полуплемето Манасиево.
7. А ова се царевите аморејски, кои ги прази Исус и синовите Израилеви од онаа страна на Јордан на запад, крај морето Валгад во Ливанската долина до планината Алок, која се протега кон Сеир, и чија земја Исус им ја даде во наследство на племињата Израилеви со жреб;
8. по планината, по низините, и во Арав, и во Асидот, и во пустињата, и во Нагев, каде што живеат Хетејците, Аморејците, Хананејците, Ферезејците, Евејците и Евусејците;
9. царот јерихонски и царот на Гај, што е близу до Ветил,
10. царот ерусалимски, царот хевронски,
11. царот јеримутски, царот лахиски,
12. царот еглонски, царот газерски,
13. царот давирски, царот гадерски,
14. царот ерматски, царот адерски,
15. царот левиски, царот одоламски,
16. царот макидски, царот ветилски,
17. царот апфуски, царот оферски,
18. царот афекски, царот хесаромски,
19. царот самвронски, царот фувски,
20. царот маронски, царот ахсадски,
21. царот танахски, царот магдедонски,
22. царот кедески, царот јаконски, - Хермел
23. царот адорски при Нафедор, царот гоимски во Галгал,
24. и царот терски. Вкупно триесет и еден цар.

Глава 13

1. Кога Исус остаре и беше во напредна возраст, Господ му рече: 'Ти остаре и веке си во напреднати години, а останува уште многу да се завладее.
2. Останувaа уште овие земји: сите филистимски предели, Гесур и Ханан,
3. ненаселениот ханански крај од Египет дури до границите на Акарон на север, им припа а на пет филистимски области: Газа, Азот, Аскалонит, Гет Акаронит и Евеја.
4. Од Теман, пак, целата Хананска земја спрема Газа и Сидон, до Афек, дури до аморејските граници.
5. исто така целата земја Гавла филистимска и целиот Ливан од исток, од Галгал, што е под планината Ермон, до влезот во Емат.
6. Сите планински жители од Ливан до Масерфот - Маим, сите сидонци Јас ке ги изгонам пред синовите Израилеви. Па раздели му ја со жреб на Израилот, како што ти заповедав;
7. раздели ја оваа земја сега како дел од наследството на деветте племиња и на племето Манасиево - од Јордан дури до Големото Море на запад; ним дај им ја: Големото Море нека биде граница.
8. А племето Рувимово и Гадово, со другото полуплеме Манасиево, го добија својот дел од Мојсеја од онаа страна на Јордан, на исток, како што им беше дал Мојсеј, слугата Господов,
9. од Ариор, кој е до устието на потокот Арнон, и градот, кој е среде долината, и целиот Мисор од Медаван;
10. исто така сите градови на аморејскиот цар Сион, кој царуваше во Есевон дури до пределите на амонитските синови,
11. како и Галад и Гесурската и Мехадската област, и целата планина Аермон и целиот Васан до Елхи,
12. целото царство Огово во Васан, кој царуваше во Астарот и во Едраин. Тој сам остана од исполините, кого Мојсеј го порази и уби.
13. Но Израилевите синови не ги изгонија жителите на Гесур и Махад и Ханан, и Ресурците и Махатците жевеат ме у Израилот и до ден денешен.
14. Само на Левиевото племе не му даде наследство; Господ, Израилевиот Бог, е негово наследство, како што му беше рекол Господ; а ова се деловите, што им ги определи Мојсеј на синовите Израилеви според племињата нивни во Аравот Моавски од онаа страна на Јордан, спроти Јерихон:
15. на племето на Рувимовите синови според родовите нивни Мојсеј им даде дел:
16. нивните предели беа од Ариор, што е спрема долината Арнонска, и градот, што е во долината Арнонска,
17. и сета земја Мисорска дури до Есевон и Девор и Вамот Вал,
18. И Јаса, и Кадимот, и Мифат, и
19. Кариатем, и Севам и Сард,
20. и Сиор на планината Енак, и Бетфагор, и Асидот - Фасга, и Витсимут;
21. сите градови Мисорски и целото царство на аморејсиот цар Сион, кој царуваше во Есевон, и кого го уби Мојсеј, како и мадијамските старешини Евија, и Роком, и Сур, Ур и Ровек, сиорски кнезови, што живееја во таа земја;
22. исто така и врачот Валаам, Веоровиот син, го убија со меч Израилевите синови во борбата.
23. Предел на Рувимовите синови беше Јордан. Тоа беше делот на Рувимовите синови според племињата нивни, - градовите и селата нивни.
24. Мојсеј им даде наследство и на Гадовите синови, според племињата нивни:
25. нивни предели беа Јазир и сите галадски градови и половината од земјата на Амоновите синови до Ароир, што е пред Рават;
26. и земјите од Есевон до Рамот кај Масфе и Вотаним и Манаим до Дивировите предели,
27. а и во Емек Витарам, и Витнамра, и Сахот Сафон, остаток од царството на есевонскиот цар Сион; неговата граница беше Јордан до Хенеретското Море од онаа страна на Јордан, кон

исток.
28. Тоа е наследството на Гадовите синови според племињата нивни, - градовите нивни и селата нивни.
29. Мојсеј му даде дел и на полуплемето Манасиево, според родовите нивни;
30. нивни предели беа: од Манаим, и целот царство Васанско, и целото царство на васанскиот цар Ог и сите села Јаирови во Васан - шеесет градови;
31. а половината од Галад, и во Астарот и во Едраин, градови царски на Ог Васански, тие им беа дадени на синовите од Махира, Манасиев син, и половина на Махировите синови, според родовите нивни.
32. Тоа е наследство што им го даде Мојсеј во Аравот Моавски од онаа страна на Јордан, спроти Јерихон, кон исток.
33. А на Левиевото племе Мојсеј не ме даде дел: Самиот Господ, Бог Израилев, е нивни дел, како што им беше рекол Он.

Глава 14

1. Еве што наследија синовите Израилеви во Хананската земја, што им раздели свештеникот
Елеазар и Исус Навинов, и кнезовите на татковските племиња на синовите Изралиеви;
2. на деветте племиња и на полуплемето Манасиево, разделба извршија со жреб, како што
беше заповедал Господ преку Мојсеја,
3. зашто на двете племиња и на племето Манасиево Мојсеј им даде наследство од онаа страна
на Јордан; а на левитите не им даде дел ме у нив,
4. бидејки од Јосифовите синови произлегоа две племиња: Манасиевото и Ефремовото; поради
тоа не им се даде на Левитите дел од земјата, туку само градови за живеење и предградија за
добитокот нивни и за други нивни потреби.
5. Како што му беше заповедал Господ на Мојсеја, така и направија синовите Израилеви, кога
ја разделуваа земјата.
6. Јудините синови дојдоа во Галгал кај Исуса. И му рече Кенезеецот Халев, синот Јефониев: 'Ти
знаеш, што му говореше Господ на Мојсеја, човекот Божји, за мене и за тебе во Кадис-Варни.
7. Јас бев на четириесет години, кога Мојсеј, слугата Господов, ме прати од Кадис-Варни да ја
разгледам земјата и му донесов одговор, она што ми беше на срцето;
8. браката мои, кои одеа со мене, го обесхрабрија срцето на народот, но јас точно го следев
Господа, мојот Бог;
9. и се заколна Мојсеј во оној ден, велејки: ‘земјата, по која одеше, ке биде наследство за тебе
и за децата твои за навек, бидејки ти одеше точно по Господа, мојот Бог.‘
10. И така, ете, Господ ме запази жив, како што говореше; четириесет и пет години веке
изминаа, откога Господ му ги беше кажал тие зборови на Мојсеја, и Израилот одеше по
пустиња; сега, еве, јас сум на осумдесет и пет години;
11. но и сега сум толку цврст, како и тогаш, кога ме прати Мојсеј: колку што имав сила тогаш,
толку имам и сега, да влегувам, да излегувам и да војувам.
12. Затоа, дај ми ја таа гора, за која говореше Господ во оној ден; бидејки ти чу во тој ден, дека
таму живеат Енаковите синови, и тие имаат градови големи и утврдени; можеби, Господ ке
биде со мене, и јас ке ги истерам, како што ми рече Господ.'
13. Исус го благослови и му го даде во наследство Хеврон на Јефоновиот син Халев,
Кенезеецот.
14. Затоа Хеврон остана и до денес во наследство на Јефониовиот син Халев, Кенезеецот,
бидејки постојано се покоруваше на заповедите од Господа, Израилевиот Бог.
15. Името на Хеврон порано беше Аргов, како што се викаше еден крупен човек ме у синовите
Енакови. Така земјата се смири од војна.

Глава 15

1. Племето на Јудините синови, според родовите нивни, го доби овој предел: граница до Идумеја им беше пустињата Син кон Лив и дури до Кадис на југ.
2. Нивната јужна граница беше дел од Соленото Море, што се простира на југ;
3. на југ таа оди кон Акравим на возвишението, го обиколува Син, влегува од југ кон Кадис-Варни, излегува на Есрон и се протега до Адар, оди на запад од Кадис и свртува кон Акрак,
4. потоа излегува на Асемон, оди кон Египетската долина, така што крајот на таа граница е морето. Тоа е нивната јужна граница.
5. Границата на исток и целото Солено море, до крајот на Јордан; а границата на север почнува од Соленото Море до крајот на Јордан;
6. оттука границата оди кон Витагла, мунува на север кон Ветара и оди угоре до каменот на Рувимовиот син Веор;
7. потоа границата се спушта кон Давир од долината Ахор на север свртува кон Галгал, кој е спроти возвишението Адамин на југ од потокот; потоа границата преминува кон источните води и завршува кај Рогил;
8. оттука границата оди угоре кон долината на Еномовите синови, на југ од Јевус, кој е Ерусалим; и границата оди по врвот на гората, што е на запад спроти Еномовата долина кон морето до крајот на Рефаимската долина на север;
9. од врвот на гората границата свртува кон изворот на водите Нефтоах и оди преку гората Ефрон; и границата свтува кон Ваал, а тоа е градот Јарим;
10. потоа границата свртува од Ваал кон морето и оди кон планината Сир и излегува на север зад градот Јарим, кој и Хаслон, слегува кон градот на сонцето и мине на југ;
11. оттука границата оди на север позади Акарон; границата свртува кон Сакхарон, мунува преку горага на Ваалови стигнува до Јавнил; и границата завршува кај морето. Западната граница е Големото Море.
12. Тоа се околните граници на Јудините синови според нивните родови.
13. А на Јефоновиот син Халев Исус му даде еден дел ме у Јудините синови, како што му беше заповедал Господ на Исуса; а му го даде Исус и градот Киријат-Арва, односно таткото Енаков; тоа е градот Хеврон.
14. Јефоновиот син Хелав ги истера оттаму трите Енакови синови: Суси, Толмај и Ахим.
15. Оттаму Халев тргна против Давираните; порано Давир се нарекуваше Киргејат-Сефер.
16. И рече Халев: 'Кој ке го порази Давир и го презеде, ке му ја дадам керката моја Асхан за жена.'
17. И го презеде Готонил, син на Кенезеецот, братот на Халев, и тој му ја даде керка си Асхан за жена.
18. Кога требаше таа да замине, ја посоветува да побара од таткото свој земја, и таа слезе од ослето. Халев ја запраша: 'Што сакаш?'
19. Таа одговори: 'Благослови ме; ми даде јужна земја, дај ми ги и Голат-Маим.' И тој и ги даде Голат-Маим, горните и долните извори.
20. Ете тоа е наследството на племето на Јудините синови, според родовите нивни.
21. А ова се градовите на Јудините синови, во пределите соседни на Идумеја, на југ: Кавсен, Едраим и Јагур;
22. Кина, Димона, Адада,
23. Кадес, Асор, и Итнасит,
24. Телем, Зиф и Валот,
25. Асор новиот, и градот Асером, инаку Асор,
26. Ама, Сама и Модада,
27. Асергада и Вефталет,
28. Асарсула и Вирсавија со селата нивни и предградијата нивни.
29. Вал, Авим и Асем,

30. Елтолад, Хесил и Ерма,
31. Сикелек, Ведевина и Сансана,
32. Лавот, Селеим, Аин и Ремон; сите градови се дваесет и девет со селата нивни.
33. Во рамнината: Естаол, Сара, Асна и Рамен
34. Зано, Ингоним, Тафуа и Инаим,
35. Јеримут, Одолам и Немра, Сохо и Азика,
36. Сагарим, Адијатаим, Гадира со селата нејзини; четириесет градови со селата нивни.
37. Сенам, Адаса, Магдалгад,
38. Далан, Масфа, и Јектаил,
39. Лахис, Васхат и Еглом,
40. Хавон, Ламас и Хатлос,
41. Гадирот, Вит-Дагон, Нома и Макид; шеснаесет градови со селата нивни.
42. Левна, Атер и Асан,
43. Јефта, Асен и Несит,
44. Кејла, Ахзев и Мариса и Едом: девет градови со селата нивни.
45. Акарон и селата негови, и предградијата негови,
46. и од Акарон, Јемна и се што е до Аздот со селата нивни.
47. Азот, селата негови и предградијата негови, Газа, со селата нејзини и предградијата нејзини, до самиот Египетски поток и до Големото Море, кое што е граница;
48. и на возвишенијата: Сафир, Јефер и Сохо,
49. и Рена, град убав, а тоа е Давир,
50. Анов, Естемо и Аним,
51. Госом, Хилуон и Гилом, единаесет градови со селата нивни.
52. Ерев, Есан и Рума,
53. Јанум, Вет-Тафуе и Афак,
54. Хамата и градот Арво, а тоа е Хеврон, и Сиор - градови девет и селата нивни.
55. Маон, Хермел, Зиф и Јета,
56. Јездраел, Јекдам и Зано,
57. Аким, Гава и Тамна - градови десет со селата нивни.
58. Алул, Ветсур и Гедор,
59. Марот, Ветанон и Еледекен - шест градови со селата нивни; Теко, Ефрата, односно Витлеем Фагор, Етам, Кулон, Татами, Сорис, Карем, Галим, Ветир и Манохо: единаесет градови со селата нивни.
60. Каријат-Вал, а тоа е градот Јарим, и Арева: два града со селата и предградијата нивни;
61. Вадаргис и Витарава, Мадон и Сахоха,
62. Невсан, градот на сол, и Ингад - шест градови и селата нивни.
63. Но Јудините синови не можеа да ги изгонат Јевусејците, жителите на Ерусалим, и затоа Јевусејците живеат со синовите на Јуда во Ерусалим до денес.

Глава 16

1. Потоа жребот падна на Јосифовите синови: од Јордан кај Јерихон, кон Јерихон на исток, во планинската пустиња, која се протега од Јерихон кон Ветил;
2. од Ветил границата оди кон Луз и мунува кон пределот Архијатарот,
3. се спушта кон морето, кон границата Јефалтимска дури до пределот Ветарон долни, па и до Газер и излегува кај морето.
4. Тоа го добија како дел Јосифовите синови Ефрем и Манасија.
5. Границата на Ефремовите синови според родовите нивни беше оваа: откај исток границата на нивното наследство беше Атарот и Адар до горни Веторон;
6. потоа границата оди кон морето на север до Махтот, свртува на исток кон Тинат-Силом и минува источно од Јанох;
7. а од Јанох, откако слегува кон Атарот и Нарат, допира до Јерихон, и селата нивни и излегува на Јерихон;
8. од Тапфу границата оди кон морето, кај потокот Кана, и завршува кај морето. Тоа е делот на племето на синовите Ефремови, според родовите нивни.
9. Имаше одделни градови за Ефремовите синови и во наследство на Манасеивите синови, - и сите тие градови беа со селата нивни.
10. Но Ефремовите синови не ги изгонија Хананејците, кои живееја во Газер; затоа Ханенејците живеат ме у Ефремовците до денес, и им плакаат данок. Најпосле дојде египетскот цар - Фараон, го презеде градот и со оган го изгори, а Хананејците и Ферзејците и жителите на Газер беа убиени, а Фараонот го даде пленот на керката своја.

Глава 17

1. Еве го наследството на племето Манасиево, кој беше Јосифов првороден син. На Манасиевиот првороден син Махир, татко на Галад, кој беше храбар во борба, му се падна Галад и Васан.
2. Добија наследство и другите Манасиеви синови, според родовите нивни; и синовите Ахизерови, и синовите Елекови, и синовите Есрилови, и синовите Сехемови, и синовите Семираелови, и синовите Оферови. Тоа се синовите Манасиесви, синот на Јосифа, според родовите нивни.
3. Салпад, пак, синот на Офер, кој беше син на Галад, а овој - син на Мехир, Манасиев син, немаше синови, туку само керки. Еве ги имињата на керките негови: Мала, Нуа, Егла, Мелха и Терса.
4. Тие дојдоа кај свештеникот Елеазар и кај Исуса, синот Навинов, и кај кнезовите, и рекоа: 'Бог му беше заповедал на Мојсеја да ни даде дел ме у нашите брака.' И им се даде наследство, па заповед на Господа, ме у браката на таткото нивни.
5. И Манасија го доби во наследство полето Лавеково, освен земјата Галадска и Васанска од онаа страна на Јордан;
6. зашто керките на синовите Манасиеви добија делови ме у синовите негови, а Галадската земја им се падна на другите Манасиеви синови.
7. Границата на синовите Мансиеви оди до Асир-Махтот и Данат, кој е спроти Сихем; оттука границата излегува на Јамин и на Јасиф, кај изворот Тафтот.
8. Земјата Тафтот му се падна на Манасија, а пределот на Манасеивиот Тафтот - на Ефремовите синови.
9. Оттука границата слегува кон долината на Кана, на југ по долината Јарим. Градот Теревит му припа а на Ефрема, иако е ме у градовите на Манасија. Манасиевата граница е на север од потокот и завршува кај морето.
10. Она што е на југ, тоа е Ефремово, а она што е на север, тоа е Манасиево; а морето им е нивна граница; со Асир се граничи откај север, а со Исихар откај исток.
11. На Манасија му припаднаа ме у Исахар и Асир, Ветсан со селата негови, Јевлам и селата негови, жителите на Дор и потчинетите му села, жителите на Ендор и потчитените му села, жителите на Магед и потчинетите му села, и жителите во Танах, и селата негови, и трет дел од Нафет и селата негови.
12. Манасиевите синови не можеа да ги изгонат жителите на тие градови и Хананејците останаа да живеат во таа земја.
13. Кога, пак, Израилевите синови се зацврстија, ги направија Хананејците свои поданици, но - не ги изгонија.
14. Јосифовите синови му се противставија на Исуса и рекоа: 'Зошто ни даде за наследство еден жреб и едно јаже, кога сме ние многубројни, бидејки така не благословувал Господ досега?'
15. Исус им одговори: 'Ако сте многубројни, одете во гората и таму, во земјата на Ферезејците и Ратајците, расчистете си место, штом гората Ефремова ви е тесна.'
16. Јосифовите синови рекоа: 'Гората Ефремова не ни е доволна; а сите Хананејци, што живеат во долината, имаа железни коли, како оние, што се во земјата Вет-Сан и во селата нивни, така и оние, што се во Језраелската долина.'
17. Но Исус му рече на Јосифовиот дом, на Ефрема и на Манасија: 'Кога си многуброен и имаш голема сила, нема да останеш само со еден жреб;
18. и гората нека биде твоја, и неа ти ке ја расчистиш, и таа ке биде твоја до самиот крај; бидејки ти ке ги изгониш Хананејците, иако тие имаа железни коли, иако се силни, ти ке ги присилиш.'

Глава 18

1. И целото општество на Израилевите синови се собраа во Силом, ја поставија таму скинијата на сведоштвото, бидејки земјата беше покорена од нив.
2. А од синовите Израилеви останаа уште седум племиња, кои не беа добиле свое наследство.
3. И им рече Исус на синовите Израилеви: 'До кога ке се колебате, и не отидете да ја земете земјата, што ви ја дава Господ, Бог на татковците ваши?
4. Изберете си ме у себе по три човека од секое племе и јас ке ги пратам, и тие ке станат, ке ја обиколат земјата и ке ја опишат, според тоа како ке треба да им се раздели на делови, и ке дојдат кај мене.
5. И нека ја разделат на седум делови: Јуда нека го задржи пределот свој од Лив, а синовите Јосифови да останат во пределите свои на север.
6. А вие разделете ја земјата на седум делови и донесете ми го предлогот овде; Јас ке ви фрлам жреб пред Господа, нашиот Бог.
7. А за левитите нема дел ме у вас, бидејки свештенството Господово е нивни дел; Гад, пак, и Рувим и полуплемето Манасиево добија наследство од онаа страна на Јордан, на исток, што им го даде Мојсеј, слугата Господов.'
8. Тие лу е станаа и отидоа. А на лу ето, кои отидоа за да ја опишат земјата, Исус им даде заповед: 'Одете, обиколете ја земјата, обележете ја и вратете се кај мене; јас, пак, овде ке ви фрлам жреб пред Господа, во Силом.'
9. Тие лу е отидоа, ја обиколија земјата, ја разгледаа и ја обележија, според градовите нејзини, на седум делови, па дојдоа кај Исуса во логорот, во Силом.
10. Исус им фрли жреб во Силом пред Господа, и ја раздели таму Исус земјата ме у синовите Израилеви, според тоа како што се делеја.
11. И се фрли жреб прво за племето на Венијаминовите синови, според родовите нивни. Според жребот границата им минува ме у синовите Јудини и ме у синовите Јосифови;
12. границата нивна на север почнува од Јордан, мунува зад Јерихон од север, се искачува по планината кон морето и завршува кај Мавдарит Вет-Авен;
13. оттаму границата оди кон Луз, на југ од Луз, инаку Ветил, и границата слегува кон Атарот-Адар, кон горага, што е на југ од долни Веторон;
14. потоа границата свртува и се спушта кон морската страна од Лив, од горага, што е на југ пред Веторон и завршува кај Киријат-Вал, инаку Киријат-Јарим, град на Јудините синови. Тоа е западната страна.
15. А делот, што оди од Киријат-Вал кон Лив, излегува кај морето, во Гај, и стигнува до водните извори на Нафтоновите;
16. потоа границата слегува кон крајот на горага што е пред долината на Еномовиот син, а во долината, која е дел од Емек Рафајски, слегува кон Ген, оди на Јевус до југ и излегува кај изворот Рогил;
17. потоа свртува од север, мунува кон изворот Самес, оди кон Галилот, кој е спроти ридот Адумим, и слегува кон каменот на Рувимовиот син Ван;
18. потоа минува позади Ветерава од север и слегува кон Арава;
19. оттука границата се спушта од Арава и минува зад Ветагла на север и завршува кај ридот на Соленото Море, во јужниот крај на Јордан. Тоа е јужната граница. Од исток, пак, за граница служи Јордан.
20. Тоа е наследството на Венијаминовите синови, со околните граници негови според родовите нивни.
21. На племето на Венијаминовите синови, според родовите нивни, им припаднаа овие градови: Јериохн, Витагла, Амеккасис,
22. Ветерава, Семрим и Ветил,
23. Авим, Афара, Афра и Екарен,
24. Кафирамин, Афни и Гавла: дванесет градови со селата нивни;

25. Гаваон, Рама и Вирот,
26. Масфа, Хефира и Амоса,
27. Рекем, Јефаил и Тарала,
28. Силалер и Јевус, инаку Ерусалим, и Гават и градот Јарим: четиринаесет градови со селата нивни. Тоа е делот на Венијаминовите синови, според родовите нивни.

Глава 19

1. Вториот жреб падна за Симеона, за племето на Симеоновите синови, според родовите нивни; и наследството нивно беше ме у делот на Јудините синови.
2. Во делот нивни беа: Вирсавија и Сава, Молада,
3. Асарсуал, Вал и Асем,
4. Елтулад, и Еома,
5. Секелаг, Вет-Маркавот, Свот и Асар-Суса,
6. Веталват и селата негови, тринаесет градови со селата нивни;
7. Аин, Ремот, Етер и Асам: четири града со селата нивни,
8. и сите предградија околу тие градови дури до Ваалтерирамот, од Јамет кон Лив. Тоа е делот на племето на Симеоновите синови, според родовите нивни.
9. Од делот на Јудините синови се оддели наследство за племето на Симеоновите синови; бидејки делот на Јудините синови беше многу голем за нив, затоа Симеоновите синови добија наследство ме у нивниот дел.
10. Третиот дел им се падна на Завулоновите синови, според родовите нивни и границата на нивниот дел се простираше до Сарид;
11. границата нивна излегува кон морето и Марила и допира до Давасет и се спушта по долината, што е пред Јекнам;
12. од Сарид оди назад кон исток, каде што изгрева сонцето до границата на Хасалот-Тавор; оттука продолжува кон Даврат и излегува кај Јафаги;
13. оттаму минува на исток во Гетаефер, во градот Касим, и оди кон Ремон, Мафарим, Ануа;
14. од север границата свртува кон Енатот и завешува во Гај Јефтаил;
15. понатаму таа ги опфака: Катат, Налол, Семрон, Јадила, и Витлеем: дванаесет градови со селата нивни.
16. Тоа е наследството на Завулоновите синови, според родовите нивни - градовите и селата нивни.
17. Четвртиот жреб падна на Исахар, за Исахаровите синови, според родовите нивни;
18. нивната граница беше: Језраил, Ахаселот и Сунам,
19. Аферафим, Сиан и Ренат и Анахарет,
20. Равот, Кесион и Аеме,
21. Рамат, Ен-Ганим, Анада и Ветфасис;
22. границата допира до Тавор, и кај Сасимат во приморјето и до Ветсмас, и завршува кај Јордан: шеснаесет градови со селата нивни.
23. Тоа е наследството на племето на Исахаровите синови, според родовите нивни - градовите и селата нивни.
24. Петтиот жреб падна за племето на Асировите синови, според родовите нивни;
25. нивна граница беа: Хелкат, Оли, Ватне, и Ахсав,
26. Алимелех, Амад, и Масал; границата се ближи до Кармил откај запад и со Сиор и до Лаванат.
27. Потоа оди назад кон исток во Вит-Дагон, допира до Завулон и оди до Гај Јефтаил на север и влегува во пределите на Асат во Бит-Аемек и Анил, и прео а во Хавол, од лево;
28. понатаму таа ги опфака: Арон, Роов, Амон и Кана, дури до големиот Сидон;
29. потоа границата се врака кон пределот на Рама до утврдениот град Тир, двртува кон пределот Суси и завршува од Уж, кај морето, во гратчето Ахзив;
30. понатаму ги опфака: Ама, Афек и Раов: дваесет и два града со селата нивни.
31. Тоа е делот на племето на Асировите синови, според родовите нивни - градовите со селата нивни.
32. Шестиот се фрли за Нефталим, за синовите Нефталимови, според родовите нивни;
33. Границата нивна оди од Мелев и Милон, го опфака Весенаим, Арме, Накев и Јавнил, дури до Лакум и завршува кај Јордан;

34. оттука границата свртува на запад кон Азанот-Тавор и оттаму оди кон Икок, и допира до Завулона од југ, допира и до Асир, од запад, и до Јуда кај Јордан, откај источната страна.
35. Утврдени градови беа: Тиријан, Тир, Амат, Рекат и Хенерот,
36. Адами, Рама и Асор,
37. Кедес, Едреј и изворот Асор,
38. Јарион, Магдалил, Оран, Ветанат и Тасмус: деветнаесет градови со селата нивни.
39. Тоа е наследството на племето на Нефталимовите синови, според родовите нивни - градовите и селата нивни.
40. За племето на Дановите синови, според родовите нивни, се фрли седмиот жреб.
41. Границите на нивниот дел беа: Сара и Естаол
42. и градовите: Самес, Саламин и Еалон,
43. Јетла, Елон и Тамна,
44. Акарон и Елтеко,
45. Гаватан, Ватот и Јут,
46. Ваниварак и Гетремон, и откај морето Јеракон и Иракон со границата близу до Јопија. И делот на Дановите синови излезе мал за нив.
47. Тогаш Дановите синови кренаа војска против Ласем, го презедоа и го поразија со меч, завладувајки го и се населија во него, и Ласем го нарекоа Ласемдан, според името на таткото свој Дан. Аморејците останаа да живеат во Елом и Саламин, но раката Ефремова ги надви и тие станаа негови поданици.
48. Тоа е наследството на племето на Дановите синови, според родовите нивни - градовите и селата нивни. Дановите синови не ги истребија Аморејците, што ги беа притиснале во горала, и тие, на Аморејците не им дозволуваа да слезат во долината, па им го одзедоа нивниот дел.
49. Откако заврши делбата на земјата, според границите нејзини, синовите Израилеви му дадоа ме у нив наседедство и на Исуса, синот Навинов:
50. по заповед на Господа му го дадоа градот Тамнат-Сарај, кого тој го побара, на Ефремовата гора; и тој си изгради град и се всели во него.
51. Тоа се наследствата што свештеникот Елеазар, Исус, синот Навинов, и кензовите на таковските племиња им ги раделија на синовите Израилеви, со жреб, во Силом, пред Господа, при влезот во Скинијата на сведоштвото. И завршија со поделбата на земјата.

Глава 20

1. И му рече Господ на Исуса, велејки:
2. 'Кажи им на синовите Израилеви: одредете си ги градовите прибежишта, за кое ви говорев преку Мојсеја,
3. за да може да избега таму убиец, кој убил човек по грешка, без умисла; нека ви бидат тие градови прибежиште за да не умре убиецот од одмаздникот за дрв додека не застане пред народен суд.
4. И кој ке избега во еден од тие градови, нека застане пред портите од градот и гласно нека го раскажи делото свое на градските старешини; тие да го примат кај себе во градот и да му дадат место, за да живее при нив;
5. и кога одмаздникот за крв ке го подгони, тие не треба да го предадат убиецот во рацете негови, зашто тој убил ближен свој без умисла и немал спрема него омраза ни вчера ни завчера.
6. И нека се всели во тој град, додека не излезе на суд пред народот, додека не умре големиот свештеник, што ке биде во тие денови. А потоа убиецот нека се врати и нека си оди во градот свој и во домот свој, од каде што избегал.'
7. И го одредија Кедес во Галилеја, во Нефталимовата гора, Сихем во Ефремовата гора, и градот Арво, инаку Хеврон, во гората Јудина;
8. од онаа страна на Јордан, спроти Јерихон на исток, го одредија: Восор во пустињата, во рамнината, од Рувимовото племе, Рамот во Галад, од Гадовото племе, и Голан во Васан, од Манасиевото племе.
9. Тие градови беа одредени за сите Израилеви синови и за придојдените, кои живеат ме у нив, за да избега таму секој, кој по грешка убил човек, за да не умре од раката на одмаздникот за крв, пред да излезе на суд пред народот.

Глава 21

1. Левитските старешини на таковските домови дојдоа кај свештеникот Елеазар, кај Исуса, синот Навинов, и кај племенските старешини на Израилевите синови,
2. и им рекоа во Силом, во Хананската земја, велејќи: 'Господ беше заповедал преку Мојсеја да ни дадете градови за живеење и околни нивни предградија за добитокот наш.'
3. И синовите Израилеви им дадоа на левитите од деловите свои, според заповедта на Господа, овие градови со нивните околни предградија.
4. И се фрли жреб за Катовите родови и според жребот на синовите од свештеникот Арон, кои беа левити, им се паднаа тринаесет градови - од Јудиното племе, од Сименовото племе и од Венијаминовото племе;
5. а на другите Катови синови според жребот за родовите на Ефремовото племе, на Дановото племе и на полуплемето Манасиево им се паднаа - десет градови;
6. на Гирсоновите синови од племето Исахарово, од Асировото племе, од Нефталимовото племе и од полуплемето Манасиево во Васан со жреб им припаднаа - тринаесет градови;
7. на Мерариевите синови, според родовите нивни, од Рувимовото племе, од Гадовото племе и од Завулоновото племе - дванаесет градови.
8. Синовите Израилеви им ги дадоа на левитите тие градови и предградијата нивни со жреб, како што беше заповедал Господ преку Мојсеја.
9. А синовите од племето Јудино и од племето Симеоново и од племето Венијаминово им ги дадоа овие градови што се набројуваа според имињата свои:
10. на Ароновите синови, од родовите Катови, ме у синовите Левиеви, бедејќи нивниот жреб беше прв.
11. Им го дадоа Киријет-Арва, односно градот на Арво, Енаковиот татко, инаку градот Хеврон, во Јудината гора, заедно со околиите негови;
12. а полето на тој град и селата негови му ги дадоа во наследство на Јефониевиот син Халев.
13. И така, на синовите на свештеникот Арон им го дадоа градот Хеврон, со околиите негови, како град-прибежиште за убијците, и Левна со околината нејзина,
14. Јетер со околината негова, Естем со околината негова,
15. Олон со околината негова, Давир со околината негова,
16. Аин со околината негова, Јета со околината нејзина; Ветсамис со околината негова - девет градови од тие две племиња;
17. од Венијаминовото колено: Гаваон со околината негова, Гаве со околината нејзина,
18. Анатот со околината негова, Алмон со околината негова - четири града.
19. Сите градови на синовите Аронови, свештениците, се тринаесет градови со околините нивни.
20. И на родовите од Катовите синови, левитите, - што уште беа останале од Катовите синови, според нивниот жреб, им се паднаа градовите од пределите на племето Ефремово:
21. им го дадоа Сихем со околината негова, како град прибежиште за убијци, во Ефремовата гора, и Газер со околината негова.
22. Кавсаим со околината негова, Веторон со околината негова - четири града;
23. а од Дановото племе: Елтекон со околината негова и Гаветон со околината негова,
24. Елон со околината негова и Гетремон со околината негова - четири града;
25. од полуплемето Мансиево: Танах со околината негова, и Ветсам со околината негова - два града.
26. Сите градови што им се паднаа на другите Катови синови, се десет града со околините нивни.
27. А на Гирсоновите синови, сродници на левитите, им ги дадоа: од полуплемето Манасиево Голан во Васан со околината негова, град прибежиште за убијци, и Вестера со околината нејзина - два града;
28. од Исахаровото племе: Кисон со околината негова, Деврат со околината негова,

29. Јермот со околината негова, Ен-Ганим со околината негова - четири града;
30. од Асировото племе: Масал со околината негова, Авдон со околината негова;
31. Телкат со околината негова, Реов со околината негова - четири града;
32. од Нефталимовото племе: Кедес во Галилеја со околината негова, - град прибежиште за убијци, Ематор со околината негова и Ноемон со околината негова - три града.
33. Сите градови што им се паднаа на Гирсоновите синови, според племињата нивни, се тринаесет градови со околините нивни.
34. На другите левити, од родовите на Мерариевите синови, им ги дадоа од Завулоновото племе: Јекнам со околината негова, Карта со околината нејзина.
35. Дамна со околината нејзина, Налол со околината негова - четири града;
36. од онаа страна на Јордан спроти Јерихон од Рувимовото племе им беше даден градот прибежиште за убијци Восор, во пустињата Мисор, со околината негова, Јазир со околината негова,
37. Гедсон со околината негова, Масфа со околината нејзина - четири града;
38. од Гадовото племе: Рамот со околината негова, градот прибежиште за убијци, Рамот во Галад, Манаим со околината негова.
39. Есевон со околината негова, Јазир со околината негова - града четири.
40. Сите градови, што им се паднаа со жреб на другите левитски родови, од Мерариевите синови, според домовите нивни, се дванаесет града.
41. Сите левитски градови, што беа во наследствата на синовите Израилеви, беа четириесет и осум града со околините нивни.
42. При тие градови околу секој град имаше околина; така беше кај сите тие градови. Кога Исус ја заврши делбата на земјата според пределите нејзини, Израилевите синови му дадоа дел на Исуса по заповед на Господа, му го дадоа градот, кој само го бараше, му го дадоа Тамнасахар, во Ефремовата гора; тогаш Исус го изгради градот, што го беше побарал, и живееше во него. И ги зеде Исус камените ножеви, - со кои ги беше обрезал Израилевите синови, родени по патот во пустињата, бидејки тие не беа обрезани во пустињата, - и го постави во Тамнасахар.
43. И така Господ му ја предаде на Израилот целата замја, за која им се заколна на нивните таковци дека ке им ја даде; тие ја наследија и се населија во неа.
44. И Господ им даде спокојство отсекаде, како што им се беше заколнал на татковците нивни, и никој од непријателите нивни не устои против нив; сите нивни непријатели Господ им ги предаде во нивни раце.
45. Не остана неисполнет ниеден збор од сите добри зборови, кои Господ им ги беше рекол на домот Израилев: се се исполни.

Глава 22

1. Тогаш Исус го повика Рувимовото и Гадовото племе и Манасиевото полуплеме и им рече:
2. 'Вие чувте се, што ви беше заповедано од Мојсеја, слугата Господов, и ги послушавте сите мои зборови во се, што ви заповедав;
3. вие не ги напуштавте браката свои во текот на многуте денови и ги запазивте заповедите на Господа, вашиот Бог.
4. Сега Господ, вашиот Бог, ги успокои вашите брака, како што им беше говорел; и така, вратете се и одете во домовите ваши, во земјата на вашето наследство, што ви ја даде Мојсеј, слугата Господов, од онаа страна на Јордан;
5. само пазете грижливо да ги исполнувате заповедите и законот, што ви го даде Мојсеј, слугата Господов: да Го сакате Господа, вашиот Бог, да одите по сите Негови патишта, да ги пазите заповедите Негови, да се приврзувате кон Него и да Му служите со сето срце ваши и со сета душа ваша.'
6. Потоа Исус ги благослови и ги отпушти и тие се разотидоа по домовите свои.
7. На едната половина од Манасиевото племе Мојсеј и даде во Васан, а на другата половина Исус и даде дел со браката нивни во Јордан кон морето. И кога Исус ги отпушти во домовите нивни и ги благослови,
8. со големото богатство се вратија во домовите свои, со многу многу добиток, со сребро, со злато, со бакар и со железо, и со големо множество облека; и го разделија пленот земен од непријателите со браката свои.
9. Тогаш синовите Рувимови и синовите Гадови и полуплемето Манасиево се вратија и тргнаа од синовите Израилеви од Силом, кој што е во Хананската земја, за да си одат во земјата Галад, во земјата на наследството свое, што го добија по заповед на Господа, дадена преку Мојсеја.
10. Кога дојдоа во околината на Јордан, во Хананската земја, синовите Рувимови и синовите Гадови, и полуплемето Манасиево изградија таму, крај Јордан, еден жртвеник, жртвеник голем на изглед.
11. И слушнаа Израилевите синови дека се зборува: ‘Ете, синовите Рувимови и синовите Гадови и полуплемето Манасиево изградиле жртвеник во Хананската земја, во Галилот крај Јордан, наспроти Израилевите синови.‘
12. Штом го чуја тоа Израилевите синови, со собра целото општество на синовите Израилеви во Силом за да одат во војна против нив.
13. Најнапред синовите Израилеви го испратија кај синовите Рувимови и кај синовите Гадови и кај полуплемето Манасиево во Галадската земја Финес, синот на свештеникот Елеазар,
14. и со него десет кнезови, по еден кнез од домовите на татковците од сите Израилеви племиња; секој од нив беше војвода во иљадниците Израилеви.
15. И тие дојдоа кај синовите Рувимови и кај синовите Гадови и кај полуплемето Манасиево во земјата Галад и им рекоа, велејки:
16. 'Еве што вели целото општество Господово: каков престап сте направиле пред Господа, Израилевиот Бог, со тоа што сте отстапиле сега од Господа, Израилевиот Бог, сте си подигнале жртвеник и отстапивте сега од Господа?
17. Зар мал ви беше гревот Фогоров, од кого не сме се очистиле ни до ден денес и поради него дојде пораз врз општеството Господово?
18. А вие денес отстапувате од Господа! Денес станувате против Господа, а утре Господ ке се разгневи на целото општество Израилево.
19. Ако, пак, земјата на вашето наследство ви е мала, поминете сите во земјата Господова, во која се нао а скинијата Господова, земете дел ме у нас, но не станувајте против Господа, нити против нас станувајте, градејки си друг жртвеник, освен жтвеникот на Господа, нашиот Бог;
20. зар Ахан, синот Зарин, не изврши ли самиот престап, земајки од заколнатото, а гневот падна врз целото општество Израилево? Не умре само тој поради беззаконието свое.'

21. И одговорија на тоа синовите Рувимови и синовите Гадови и полуплемето Манасиево и им рекоа на војводите Израилеви:
22. 'Господ Бог на боговите, Господ е Бог Господ, Он знае, и Израилот нека знае! Ако отстапуваме од Господа, Господ нека не не поштеди овој ден!
23. Ако сме изградиле жртвеник, за да отстапиме од Господа, нашиот Бог, или за да принесуваме на него сепалиници или да принесуваме на него жртви за спасение, самиот Господ нека суди!
24. Но за добро го направивме ние тоа, за да не им речат утре вашите синови на нашите синови: ‘Што имате вие со Господа, Израилевиот Бог?‘
25. Господ го одреди Јордан за граница ме у нас и вас, синовите Рувимови и синовите Гадови, вие немате дел во Господа. Така синовите ваши ке ги оту ат нашите синови да не Му служат на Господа.
26. Затоа рековме: да си подигнеме жртвеник не заради приноси ниту заради жртви,
27. туку за да биде тој ме у вас и нас, ме у нашите родови по нас, сведок, дека ние можеме да Му служиме на Господа пред нив со наши приноси, и со наши жртви и со наши жртви за спасение и за да ни им речат утре вашите синови на нашите синови: ‘вие немате дел во Господа.‘
28. Па си рековме: ако така ни кажат нам и на нашите родови по нас, ние ке им речеме: ‘Видете ја сличноста на жртвеникот Господов, што го направиле нашите татковци, на заради приноси ниту заради жртви, туку за да биде сведок ме у вас и нас и ме у синовите наши.
29. Далеку сме од мислата, да отстапиме од Господа, и да се одвратиме од Господа, и да ѕидаме жртвеник за приноси, жртви за грев и жртви за спасение, освен пред жртвеникот на Господа, нашиот Бог, кој е пред скинијата Негова.'
30. Свештеникот Финес, сите кнезови на општеството и војводите на иљадниците Израилеви, што беа со нив, кога гиислушаа зборовите, што ги рекоа Рувимовите синови, Гадовите синови и Манасиевите синови ги одобрија.
31. И Елеазаровиот син, свештеникот Финес, им рече на синовите Рувимови, на синовите Гадови, и на полуплемето Манасиево: 'Денес познавме, дека Господ е со нас, дека вие со тоа не сте извршиле пред Господ престап, но дека сте ги избавиле синовите Израилеви од раката Господова.'
32. Тогаш Елеазаровиот син, свештеникот Финес, и кнезовите народни се вратија од синовите Рувимови и од синовите Гадови и од племето Манасиево во Хананската земја кај синовите Израилеви и им донесоа одговор.
33. И на Израилевите синови тоа им беше угодно, па Го благословија синовите Израилеви Бога и рекоа дека нема да војуваат против нив, и да ја разорат земјата, во која живеат синовите Рувимови и синовите Гадови и полуплемето Манасиево.
34. И Рувимовите синови и Гадовите синови и полуплемето Манасиево го нарекоа тој жртвеник Ед, зашто, рекоа тие, тој е сведок ме у нив, дека Господ Бог е нивни Бог.

Глава 23

1. По многу време, откако Господ Бог го успокои Израилот од сите околни непријатели, Исуз остаре, дојде во напредната возраст.
2. И ги свика Исус сите синови Изриаилеви, старешините нивни, судиите нивни и управителите нивни, и им рече: 'Јас остарев, сум во напредната возраст.
3. Вие видовте се што Господ, вашиот Бог, го направи пред лицето ваше со сите тие народи, бидејки Господ, вашиот Бог, Самиот се бори за вас.
4. Ете, ви ги поделив со жреб тие други народи во наследство на племињата ваши, сите народи што ги истребив од Јордан до Големото Море, на запад.
5. Самиот Господ, вашиот Бог, ке ги прогони од вас додека не загинат; и ке направи против нив диви ѕверови, додека не ги истреби нив и нивните цареви од пред лицето ваше; ке ги истреби пред вас, за да ја добиете во наследство земјата нивна, како што Господ, вашиот Бог, ви говореше.
6. Затоа трудете се најточно да внимавате и да исполнувате се што е напишано во книгата на Мојсеевиот закон, не клонејки се од него ниту надесно, ниту налево.
7. Не се зближувајте со народите, што останаа ме у вас, не ги спомнувајте имињата на нивните богови, не колнете се во нив, не служете им и не се поклонувајте,
8. но приврзете се кон Господа, вашиот Бог, како што правевте до денес.
9. И Господ избони од вас големи и силни народи, и никој не устои пред вас до денес;
10. еден од вас прогонуваше иљада, бидејки Самиот Господ, вашиот Бог, се биеше за вас, како што ви говореше.
11. Затоа трудете се многу за да Го сакате Господа, вашиот Бог.
12. Ако, пак, се повратите и се приклучите кон остатоците на тие народи, што останаа ме у вас, и се сродите со нив, и одите кај нив, и тие кај вас,
13. знајте, дека Господ, вашиот Бог, нема повеке да ги прогонува од вас тие народи, туку ке бидат за вас примка и мрежа, камшик за ребрата ваши и трн за вашите очи, додека не бидете истребени од таа добра земја, која Господ, вашиот Бог, ви ја даде.
14. Еве, јас сега заминувам на пат каде што целиот свет заминува. А вие познавте со сето свое срце и со сета своја душа, дека не беше напразен ниеден збор од сите добри зборови, што ги говореше за вас Господ, вашиот Бог: се се изврши на вас, ни еден збор не остана неисполнет.
15. Но како што се изврши на вас секој добар збор, што ви го кажуваше Господ, вашиот Бог, така Господ ке го исполни над вас секој лош збор, додека не ве истреби од оваа добра земја, што ви ја даде Господ, вашиот Бог.
16. Ако го прекршите заветот на Господа, вашиот Бог, што Он ви го заповеда, и отидете да им служите на други богови и да им се поклонувате, тогаш гневот Господов ке пламне врз вас, и брзо ке исчезнете од оваа добра земја, која ви ја даде Господ.'

Глава 24

1. Тогаш Исус ги собра сите племиња Израилеви во Сихем и ги свика старешините на Израилот и кнезовите негови, судиите негови и управителите негови, и тие се претставија пред Господа Бога.
2. И му рече Исус на целиот народ: 'Вака вели Господ, Бог на Израилот: ‘Вашите татковци, Тара, таткото Авраамов и таткото Нахоров, во старо време живееја од онаа страна на реката и им служеа на други богови.
3. Но јас го зедов таткото ваш Авраама од онаа страна на реката, го водев до целата земја Хананска, му го умножив семето негово и му го дадов Исака.
4. На Исака му ги дадов Јакова и Исава. На Исава му ја дадов во наследство гората Сир; а Јаков и синовите негови влегоа во Египет и станаа таму голем, силен и многуброен народ, и Египтјаните почнаа да ги притеснуваат.
5. Тогаш ги испратив Мојсеја и Арона и го поразија Египет со знаци, што ги извршив, а потоа ве изведов.
6. Ги изведов татковците ваши од Египет, и вие дојдовте кај Црвеното Море. Тогаш Египтјаните се спуштија по татковците ваши со коли и коњаници до Црвено Море;
7. но тие повикаа кон Господа, и Он спушти облак и магла ме у нас и Египтјаните и го наведе на нив морето, кое и ги покри. Очите ваши видоа што направи Господ во Египетската земја и вие останавте во пустињата многу денови.
8. И ве воведе во земјата на Аморејците, кои живееја од онаа страна на Јордан; тие станаа против вас, но Господ ги предаде во рацете ваши, и вие ја добивте како наследство земјата нивна и ги истребивте од пред лицето ваше.
9. Се крена Валак, синот Сепфоров, моавски цар, и отиде со војската против Израилот, и испрати да го повика Веоровиот син Валаам, за да ве проколне;
10. но Господ не сакаше да го послуша Валаам, - тој ве благослови, и јас ве избавив од рацете негови.
11. Вие го преминавте Јордан и дојдовте во Јерихон. И почнаа да војуваат против вас жителите на Јерихон: Аморејците и Ферезејците, Хананејците и Хетејците, Гергесејците, Евејците и Јевусејците, но Господ ги предаде во рацете ваши.
12. И испрати пред вас стршели, кои ги изгонија од пред вас двајцата аморејски цареви; не со твојот меч и не со твојот лак се направи тоа.
13. И ви даде земја, за која вие не сте се труделе, и градови што не сте ги граделе, и вие живеете во нив; и лозја и маслини, кои не сте ги саделе, а јадете плодови.'
14. И така, бојте се од Господа и служете Му со чистота и искреност; и отфрлете ги боговите на кои им служеа татковците ваши од онаа страна на реката и во Египет, и служете Му на Господа.
15. Ако, пак, не ви е угодно да Му служите на Господа, одберете си сега, кому да му служите: на боговите ли, на кои им служеа татковците ваши, кога беа од онаа страна на реката, или на боговите на Аморејците, во чија земја живеете, а, пак, јас и домот мој ке му служиме на Господа, бидејки он е свет.'
16. Одговори народот и рече: 'Не, тоа никако, да Го оставиме Господа и да почнеме да им служиме на други богови!
17. Зашто Господ е наш Бог; Он не изведе нас и таковците наши од Египетската замја, од домот на ропството, и правеше пред очите наши чуда големи и не пазеше по целиот пат, по кој одевме, и ме у сите народи, низ кои минувавме.
18. Господ ги изгони од кај нас сите народи и Аморејците, што живееја во оваа земја. Затоа и ние ке Му служиме на Господа, бидејки Он е Бог наш.'
19. Исус му рече на народот: 'Не ке може да Му служите на Господа (Бога), зашто Он е свет Бог, Бог ревнител; Он нема да го истрпи баззаконието ваше и гревовите ваши.
20. Ако Го оставите Бога и им служите на ту и богови, Он ке испрати на вас зло и ке ве

истреби, место да ви направи добро.'
21. И народот му одговори на Исуса: 'Не, ние ке Му служиме на Господа.'
22. Исус му рече на народот: 'Сведоци ли сте вие за себе, дека Го избравте Господа - да Му служите?' Тие одговорија: 'Сведоци сме.'
23. 'А сега, отфрлете ги ту ите богови, што се во вас, и свртете го срцето свои кон Господа, Бог Израилев.'
24. Народот му рече на Исуса: 'На Господа, нашиот Бог, ке Му служиме и гласот Негов ке го слушаме.'
25. И тој ден случи со народот завет и му даде наредби и закони во Сихем пред скинијата на Господа, Бога Израилев.
26. И ги запиша Исус тие зборови во книгата на законот Божји, па зеде голем камен и го постави таму под дабот, што е пред светилиштето Господово.
27. И му кажа Исус на целиот народ: 'Ете, оној камен ке ни биде сведок, бидејки тој ги чу сите зборови на Господа, што Он ви ги кажа денес; тој нека биде сведок против вас во подоцнежните денови, ако некогаш лажете пред Господа, Вашиот Бог.'
28. И потоа Исус го распушти народот, секој во местото свое.
29. И Му служеше Израилот на Господа во сите денови Исусови, и во сите денови на старешините, кои го поминаа времето со Исуса и кои ги видоа сите дела што му ги направи на Израилот.
30. А по сето тоа умре Исус, синот Навинов, слугата Господов, на сто и десет години.
31. И го погребаа во пределите на делот негов во Тамна Сахар, во Ефремовата гора, на север од планината Гаас. И ги ставија таму со него во гробот, во кој што го погребаа, камените ножеви, со кои Исус ги беше обрезал Израилевите синови во Галгал, кога ги изведе од Египет, како што беше заповедал Господ; и тие се таму дури до денес.
32. И коските на Јосифа, кои Израилевите синови ги изнесоа од Египет, ги погребаа во Сихем, во оној дел на полето, што Јаков го беше купил од синовите Аморејски, кои живееја во Сихем, за сто сребреници и му ги даде како дел на Јосифа.
33. Потоа умре и Ароновиот син, првосвештеникот Елеазар, и го погребаа во Финесовиот Гават, кој му беше даден на Ефремовата гора.

Судии

Глава 1

1. По смртта на Исуса синовите Израилеви Го прашаа Господа, велејки: 'Кој од нас прв ке тргне против Хананејците - да војува против нив?'
2. Господ одговори: 'Јуда ке тргне; ете, Јас ја предавам земјата во негови раце.'
3. Јуда, пак, му кажа на братот свој Симеона: 'Влези со мене во мојот жреб, и да војуваме против Хананејците; и јас ке влезам со тебе во твојот жреб.' И Симеон отиде со него.
4. Тогаш Јуда тргна, и ги предаде Господ Хананејците и Ферезејците во рацете нивни, и тие убија од нив во Везек десет иљади души.
5. Во Везек се сретна со Адони-Везек, се судрија со него и ги разбија Хананејците и Ферезејците.
6. Адони-Везек избега, но тие се спуштија, тргнаа по него, го фатија и му ги исекоа палците на рацете негови и на нозете негови.
7. Тогаш Адони-Везек рече: 'Седумдесет цареви со пресечени палци на рацете и нозете собираа трошки под трпезата моја; како што правев јас, така ми воздаде Бог.' И го доведоа во Ерусалон, каде што и умре.
8. и војуваа Јудините синови против Ерусалим, го презедоа и го поразија со меч и градот го изгореа со оган.
9. Потоа Јудините синови отидоа да војуваат против Хананејците, кои живееја во горната и во јужната земја и во низините.
10. И тргна Јуда против Хананејците, кои живееја во Хеврон, порано Хеврон се нарекуваше Киријат-Арба, и го поразија Сесаја, Ахимана и Талмаја.
11. Оттука отидоа против жителите на Давир, порано Давир се викаше Киријат-Сефер.
12. И рече Халев: 'Кој ке го порази Киријат-Сефер и го преземе, ке му ја дадам керката своја Ахса за жена.
13. Го презеде Готониил, син Кенезов, помалиот брат Хелезов, и Халев му ја даде керката своја Ахса за жена.
14. Пред да замине таа, Готоноил ја подучи да бара од татка си земја, и таа слезе од оселот. Халев ја праша: 'Што бараш?'
15. А таа му рече: 'Дај ми благослов; ти ми даде сува земја, дај ми и водни извори.' И и ги даде Хелев горините извори и долните извори.
16. И синовите на Кенеецот, Мојсеевиот тест, појдоа од градот на палмите со Јудините синови во Јудината пустиња, која е на југ од Арад. И дојдоа и се населија ме у народот.
17. Потоа тргна Јуда со брата си Симеона и ги порази Хананејците, кои живееја во Сефат, го предадоа градот под заклетва и го нарекоа тој град Хорма.
18. Јуда исто така ги презеде Газа со пределите нејзини, Акарон со пределите негови, и Анарод со пределите негови,
19. зашто Господ беше со Јуда, и тој ја завладеа планината; но не можеше да ги истера жителите во долината, бидејки тие имаа железни двоколки.
20. А на Халев му го предадоа Хеврон, како што беше заповедал Мојсеј, и таму тој ги доби во наследство трите града на синовите Енакови и ги истера оттаму трите синови Енакови.
21. Но Венијаминовите синови не ги истераа Јевусејците, кои живееја во Ерусалим; Јевусејците живеат со синовите на Венијамина во Ерусалим и до ден денес.
22. И синовите Јосифови исто така тргнаа против Ветил, и Господ беше со нив.
23. А се задржаа Јосифовите синови и го разгледаа Ветил, а порано градот се нарекуваше Луз.
24. И стражарите видоа еден човек, кој доа аше од градот и му рекоа: 'Покажи ни го влезот во градот, и ке ти направиме милост.'
25. Тој им го покажа влезот во градот, и тие го поразија градот со меч, а тој човек и сите негови роднини ги пуштија.
26. Тој човек отиде во земјата на Хетејците и изгради таму град и го нарече со името Луз. Тоа му е името и до ден денес.

27. И Манасија не ги истера жителите на Ветсан и потчинетите му градови, ниту жителите во Дор, ни потчинетите му градови, ни жителите на Иевлам и потчинетите му градови, живелите на Мегедон и потчинетите му градови; така останаа Хананејците да живеат во оваа земја.
28. Кога Израилот се засили, ги направи Хананејците свои поданици, но не ги истера.
29. И Ефрем не ги истера Хнанеците кои живееја во Газер; и Хананејците живееја ме у нив во Газер и им плакаа данок.
30. И Завулон не ги истера жителите на Китрон, ниту жителите на Нахлол, и Хананејците живееја ме у нив и им плакаа данок.
31. И Асир не ги истера жителите на Акхор, ниту жителите на Дор и ни жителите на Сидон и Ахлав, ни од Ахазив, Далафе, Елва, Афек ниту, пак, од Роав.
32. Се насели Асир ме у Хананејците, жителите на таа земја, бидејки не ги истера.
33. И Нефталим не ги истера жителите на Ветсамес како ни жителите на Ветанах и живееше ме у Хананејците, жителите на таа земја; а жителите на Ветсамес и на Ветанах беа негови поданици.
34. Аморејците ги притискаа синовите Данови во горите, бидејки не им даваа да слезат во долината.
35. И Аморејците останаа да живеат во горага Херес, во Ајалон и Салавин; но раката на Јосифовите синови ги присили и тие им станаа поданици.
36. Пределите на Аморејците се протегаа од горага Акравин, од карпата се угоре.

Глава 2

1. Дојде Ангел Господов од Галгал во Вохим и рече: 'Јас ве изведов од Египет и ве воведов во земјата, за која им се заколнав на татковците ваши; и реков: - нема да ги нарушам Мојот завет со вас засекогаш;
2. вие, пак, не влегувајте во сојуз со жителите на оваа земја; на боговите нивни не им се клањајте, идолите нивни скршете ги, жртвениците нивни урнете ги'. Но вие не го послушавте гласот Мој. Зошто постапивте така?
3. Затоа велам: нема повеке да ги преселувам тие лу е, што сакав да ги истерам, нема да ги истерам од вас, и тие ке бидат трње за вас, а боговите нивни ке ви бидат соблазна.'
4. Кога Ангелот Господов ги кажа тие зборови пред сите синови Израилеви, народот крена голем пискот и заплака.
5. Поради тоа и го нарекуваат тоа место Вохим. Таму тие принесоа жртва на Господа.
6. Откако Исус го распушти народот, и синовите Израилеви заминаа, секој во домот свој и секој во својот дел, за да добие во наследство земја.
7. Народот Му служеше на Господа преку сите денови на Исуса и преку сите денови на старешините, чиј живот продолжи по Исуса, и кога ги беа виделе сите големи дела на Господа, какви што Он му направи на Израилот.
8. А кога умре Исус, синот Навинов, раб Господов, на сто и десет години,
9. го погребаа во пределите на неговиот дел во Тамнатарес, во Ефремовата гора, на север од горага Гаас;
10. и кога целиот тој народ се прибра кај татковците свои, и настана по нив друг род, кој не Го знаеше Господа и делата Негови, какви што му беше направил на Израилот, -
11. тогаш Израилевите синови почнаа да прават зло пред Господа и да му служат на Ваал;
12. го оставија Господа, Бога на татковците нивни, Кој ги беше извел од земјата Египетска, и се обрнаа кон други богови, кон боговите на тамошните околини, и почнаа да им се клањаат, и Го разгневија Господа;
13. Го отравија Господа и почнаа да му служат на Ваал и на разни Астарти.
14. Тогаш Господ силно се разгневи против Израилците и ги предаде во рацете на грабачи, кои ги ограбуваа; и ги предаде во рацете на околните непријатели таму, и не можеа повеке да одолеат пред непријателите свои.
15. Насекаде, каде и да отидеа тие, раката Господова беше против нив на зло, како што им беше говорел Господ и како што им се беше заколнал Господ. И тие беа на голема мака.
16. Тогаш Господ им постави судии, кои ги спасуваа од рацете на оние што ги пленеа.
17. Но тие и нив не ги слушаа, туку блудствуваа со други богови и ним им се клањаа, па Го разгневија Господа, а потоа скршнаа од патот, по кој одеа таквците нивни, покорувајки им се на заповедите од Гопода. Тие не правеа така.
18. Но кога Господ им поставуваше судии, Сам Господ беше со судијата и ги спасуваше од непријателите нивни преку сите дни на судијата, зашто Господ ги сожалуваше, слушајки ги офкањата нивни од оние, што ги угнетуваа и потискаа.
19. Но штом ке умреше судијата, тие одново почнуваа да живеат полошо од татковците свои, одејки по други богови, да им служат и да им се клањаат. И не отстапуваа од делата свои жестоки и од лошиот пат свој.
20. Тогаш Господ силно се разгневи против Израилот и рече: 'Поради тоа што овој народ отстапи од заветот Мој, што го поставив со татковците нивни, и не го послушаа гласот Мој,
21. ни Јас нема повеке да протерувам пред нив ниеден од народите, што ги остави Исус, кога умираше, -
22. за да го испитам Израилот; ке почнат ли да се држат до патот Господов и да одат по него, како што се држеа татковците нивни, или не?'
23. И Господ ги остави тие народи и не ги протера веднаш и не ги предаде во рацете на Исуса.

Глава 3

1. Еве ги народите, кои не знаеја за сите ханански војни,
2. само за да знаат и да се учат на војна подоцнежните поколенија на Израилевите синови, кои порано не ја знаеја:
3. шест филистејски војводства, сите Хананејци, Сидонци и Евејци, кои живееја во горатао Вал-Ермон до Емат.
4. Тие беа оставени, за да биде преку нив искушан Израилот, и да се дознае, дали се покоруваат на заповедите Господови, кои Он ги беше заповедал на татковците нивни преку Мојсеја.
5. И живееја Израилевите синови ме у Хананејците, Хетејците, Аморејците, Ферезејците, Евејците, Гергесејците и Јевусејците,
6. и ги земаа керките нивни за жени, и им ги даваа керките свои на синовите нивни, и им служеа на нивните богови.
7. Синовите Израилеви извршија зло пред очите на Господа, и Го заборавија својот Господ Бог, и им служеа на Ваал и на Дубрави.
8. Тогаш Господ се разгневи силно против Израилот, и ги предаде во рацете н Хусарсатем, царот на Сириска Месопотамија, и синовите Израилеви му робуваа на Хусарсатем осум години.
9. Потоа синовите Израилеви повикаа кон Господа, и издигнаа за синовите Израилеви спасител, кој ги избави, - Кенезовиот син Готониил, помалиот брат на Халев.
10. Врз него беше Духот Господов, и тој беше судија на Израилот. Тој објави војна против Хусарсатем, и Господ го предаде во рацете негови сирискиот цар Хусарсатем и раката негов се зацврсти над Хусарсатема.
11. И земјата беше спокојна четириесет години, Потоа умре Готониил, Кенезовиот син.
12. Синовите Израилеви почнаа пак да вршат зло пред Господа, и Господ му даде сила на моавскиот цар Еглон против Израилот, поради тоа што тие правеа зло пред Господа.
13. Тој ги собра при себеси синовите Амонитски и Амаликови, па тргна и го порази Израилот, и го завладеја градот на палмите.
14. И синовите Израилеви му робуваа на моавскиот цар Еглон осумнаесет години.
15. Тогаш синовите Израилеви пак повикаа кон Господа, и Господ им го избра за спасител Аода, синовт на Гира, Еминиев син, кој беше левак. И синовите Израилеви му испратија по него дарови на моавскиот цар Еглон.
16. Аод си направи меч со две сечила, долг еден лакот, и го препаша под облеката своја на десното бедро,
17. и однесе дарови на моавскиот цар Еглон, а Еглон беше човек многу дебел.
18. Кога Аод ги поднесе сите дарови и ги испрати лу ето, што ги донесоа даровите,
19. сам се врати од идолите, што се во Галгал, и рече: 'Царе, имам тајна за тебе.' Тој рече: 'Потивко!' И излегоа сите, што стоеја при него.
20. Аод влезе при него: тој седеше во летната горна соба, што ја имаше одделено. И рече Аод: 'Имам Божја порака за тебе.' Еглон стана од престолот.
21. Кога тој стана, Аод ја подаде својата лева рака, и го зеде мечот од десното бедро и го заби во стомахот негов,
22. така што сечилото влезе и дршката, и дебелината го покри сечилото; бидејќи Аод не го извади мечот од трбухот негов и излезе нечистотија.
23. Аод потоа излезе од собата, ја затвори вратата и ја заклучи.
24. Откако излезе, слугите на Еглон дојдоа и гледаа, ете, вратата на собата е заклучена, и си рекоа: - сигурно е тој надвор по потреба до летната соба
25. Чекаа доста долго, но откако видоа дека никој не ја отвора вратата од собата, зедоа клуч и отклучија, а таму господарот нивни лежи на земјата мртов.
26. Додека се чудеа, Аод избега, и никој на него не мислеше, мина покрај идолите и се спаси во Сетирот.

27. А штом пристигна во земјата Израилева, Аод затруби со труба во Ефремовата гора, и слегоа со него синовите Израилеви од горатa, и тој тргна пред нив.
28. И им рече: 'Одете по мене, зашто Господ Бог ги предаде непријателите ваши, Моавците, во ваши раце.' И тргнаа по него, презедоа моавски бродови на Јордан, и не пуштија никон да премине.
29. Тогаш убија околу десет иљади Моавци, се здрави и силни, и никој не избега.
30. Така се смирија во оној ден Моавците пред Израилот, и земјата беше спокојна осумдесет години. И Аод беше нивни судија до својата смрт.
31. По него дојде Семегар, син Анатов, кој уби шестотини души Филистејци со воловски остен; и тој исто така го избави Израилот.

Глава 4

1. Кога умре Аод, Израилевите синови пак почнаа да прават зло пред Господа.
2. И Господ ги предаде во рацете на хананскиот цар Јавин, кој царуваше во Асор, и на неговиот војвода Сисар, кој живееше во Арисот.
3. И повикаа Израилевите синови кон Господа; зашто Јавин имаше деветстотини железни коли и ги притискаше Израилевите синови дваесет години.
4. Во тоа време судија на Израилот беше пророчицата Девора, жената Лафидотова;
5. таа живееше под палма, ме у Рама и Ветил, во Ефремовата гора и одеа кај неа Израилевите синови на суд.
6. Девора испрати по Варака, синот на Авинеема од Кедес Нефталимов, и му рече: 'Зар не ти заповеда Господ, Бог Израилев: - иди, собери народ на гората Тавор и земи со себеси десет иљади души од Нефталимовите синови и од Завулоновите синови;
7. Јас пак, ке го доведам при тебе, кај потокот Кисон, Јавиновиот војвода Сисар, и колите негови и многуиљадната војска негова, и ке ти ги предадам во твои раце.'
8. Варак и одговори: 'Ако дојдеш со мене, ке одам; ако не дојдеш со мене, нема да отидам, зашто не го знам денот, во кој Господ ке го испрати Ангелот со мене.'
9. Таа му рече: 'Добро, ке дојдам со тебе; само знај, дека нема да биде славата твоја по патот, по кој ке одиш; зашто во женска рака ке го предаде Господ Сисара.' И Девора стана и тргна со Варака за Кедес.
10. И Варак ги повика Завулоновците и Нефталимовците во Кедес, и по него тргнаа десет иљади души, и Девора појде со него.
11. Тогаш Кенеецот Хавер се оддели од Кенејците ,синови на Овав, Мојсеев роднина, и го постави шаторот свој кај дабот, блузу до Кедес.
12. И му јавија на Сисара дека Авинеемовиот син Варак излегол на гората Тавор.
13. Сисар ги собра сите коли, деветстотини железни коли, и сиот народ, што беше со него, од Арисот незнабожечки кај потокот Кисон.
14. И Девора му рече на Варака: 'Стани, бидејки денес е денот, во кој Господ ке го предаде Сисара во рацете твои; Сам Господ ке тргне пред Тебе.' И Варак слезе од гората Тавор, и по него - десет иљади души.
15. Тогаш Господ го доведе во забуна Сисара и сите негови коли и целиот народ негов пред Вараковиот меч, и Сисар слезе од колата своја и избега пеш.
16. Варак ги подгони колите негови и народот до дубарвата незнабожечка и целиот народ Сисаров падна од остар меч, та не остана ниеден.
17. А Сисар побегна пеш до шаторот на Јаил, жената на Кенеецот Хавер, зашто ме у асорскиот цар Јавин и домот на Кенеецот Хавер имаше мир.
18. Тогаш излезе Јаил и му рече на Сисара: 'Влези господару мој, влези при мене, не плаши се!' Тој влезе при неа во шаторот, и таа го покри со наметката своја.
19. Сисар и рече: 'Дај ми малку вода да пијам, жеден сим.' Таа одврза мев со млеко, му даде да пие и пак го покри.
20. Сисар повторно и рече: Стој при влезот на шаторот и , ако некој додје и те праша: ‘нема ли никој тука?‘ а ти одговори - ‘нема‘'.
21. Јаил, Хеверовата жена, зеде еден колец од шаторот, зеде и чекан во раката своја, и отиде тивко при него, та му го заби колецот во слепоочниците негови, така што тој допре до земјата; а тој уморен спиеше, - и издивна.
22. И ете, Варак, трчаше по Сисара. Јаил го пречека и му рече: 'Влези, јас ке ти го покажам човекот, што го бараш.' Тој влезе при неа, и ете, Сисар лежи мртов, и колецот во слепоочниците негови.
23. Така го покори Господ Бог во тој ден ханаскиот цар Јавин пред синовите Израилеви.
24. Раката на синовите Израилеви се засилуваше се повеке и повеке над хананскиот цар Јавин, додека тие најпосле не го истребија.

Глава 5

1. Во тој ден запеаја Девора и Варак, синот Авинеемов со овие зборови:
2. 'Благословувајте Го Господа зашто се одмазди за Израилот, народот покажа сесрдност.
3. Слушајте, цареви, внимавајте, кнезови; јас ке Му пеам и ке Му свирам на Господа, на Господа, Бога Израилев!
4. Кога излегуваше Ти, Господи, од Сир, кога доа аше од селото Едомово, земјата се тресеше, небото капеше и облаците вода пролеваа;
5. горите се топеа од лицето на Господа, дури и Синај затрепери пред Господа, Бога Израилев.
6. Во дните на Самегара, синот Анатов, во дните на Јаил, патиштата опустеа и кои порано одеа по правите патишта, тогаш одеа по околните патеки.
7. Во Израилот немаше жител во селата, немаше, додека јас, Девора, не станав, дедека не востанав јас, мајката Израилева.
8. Избраа нови богови, затоа војната беше пред вратата. Се виде ли штит и копје во четириесет иљади од Израилот?
9. Срцето ми е кон вас, началници Израилеви, кон ревнителите во народот; прославувајте Го Господа!
10. Вие, кои јавате на бели ослици, што седите во судовите и одите по патот, проповедајте!
11. Среде гласовите на оние што плескаат, таму нека покажат правда, Господи, зацврсти ја правдата во Израилот! Тогаш народот Господв се разотиде по своите градови.
12. Стани, стани! Деворо! Стани, стани, па запеј песна! Стани, Варак и води ги своите платеници, сине Авинеемов!
13. Тогаш се возвеличи силата негова; Господ мене ми ги потчини храбрите.
14. Од Ефрема дојдоа оние, кои беа фатиле корен во долините; по тебе е братот твој Венијамин, според народот твој; од Махир доа аа началници, а од Завулона оние што се занимаваат со пишување.
15. И кнезовите Исахарови со Девора, и Исахар исто така како Варак, се спуштија пеш во долината. Во Рувимовите племиња - големо разногласие.
16. Зошто си ми седнал ме у кошарите и го слушаш блеењето на стадата? Во Рувимовите племиња - долемо несогласие.
17. Галад си живее спокојно од онаа страна на Јордан, и зошто Дан да се занимава со корабите, а Асир да седи на морскиот брег и се весели при своите пристаништа.
18. Завулон е народ, кој ја даде душата своја на смртта, и Нефталим - на полските височини.
19. Дојдоа цареви, тогаш се судрија царевите хананскиво Тахан, при водите Мегидонски, но ни парче сребро не добија.
20. Од небото се војуваше, се биеја ѕвездите од своите патишта против Сисара.
21. Потокот Кисон ги одвлече, потокот Кадимин, потокот Кисон. Гази ги, душо моја, силните!
22. Тогаш отпа аа копитата на коњите од топотење, од терање на јавачите нивни.
23. Проколнете го Мазор, рече Ангелот Господов, проколнете ги жителите негови, затоа што не дојдоа на помош на Господа со храбрите.
24. Нека е благословена ме у жените Јаил, жената на Кенеецот Хевер, ме у жените во шаторите нека е благословена!
25. Тој побара вода: таа млеко му даде, во војводска чаша му донесе кравја павлака.
26. Левата рака своја таа ја протегна кон колецот, а десната - кон чеканот ковачки; го удри Сисара, му ја смрска главата, го прободе и му ги проби слепоочниците негови.
27. Ме у нозете нејзини падна, истоштен се испружи и умре, ме у нозете незини падна веднаш.
28. Погледна низ прозорецот Сисаровата мајка, низ решетката и си помисли: зошто не доа а уште колата негова, зошто се забавуваат тркалата на колите негови?
29. Мудрите нејзини дворјани и одговараат, а и самата таа си одговара на зборовите свои:
30. можеби нашле плен, па го делат: кому по една мома, кому по две на војник. Плен шарен за Сисара, плен шарен, везен; шарен и везен од обете страни, симнат од рамениците на

пленикот.
31. Така да загинат сите Твои непријатели, Господи! А оние, кои Го сакаат, да бидат како сонце кога изгрева во сета своја сила! - И мирна беше земјата четириесет години.

Глава 6

1. А синовите Израилев пок почнаа да прват зло пред Господа, и Господ ги предаде во рацете на Мадијамците за седум години.
2. Тешка беше раката Мадијамска, над Израилот, и Израилевите синови поради Мадијамците си правеа прибежишта во пештери и тврдини по горите.
3. И кога ке посееше нешто Израилот, ке дојдеше Мадијамец или Амаликиец или жител од исток, ке нападнеше на него;
4. и стоеше кај нив во шаторите, и ги уништуваше земните плодови дури до Газа, и не му оставаше за исхрана на Израилот ни овца, ни вол, ни осел.
5. Зашто тие доа аа со добитокот свој и со шаторите свои, доа аа во големо множество - како скакулци; тие и камилите нивни број немаа, и одеа по земјата Израилева за да ја опустошуваат.
6. Многу осиромаше тогаш Израилот од Мадијамците, и повикаа синовите Израилиеви кон Господа.
7. А кога синовите Израилеви повикаа кон Господа против Мадијамците,
8. Господ испрати пророк при Израилевите синови и Он им рече: 'Вака вели Господ, Бог Израилев - Јас ви изведов од Египет, ве изведов од домот на ропството;
9. ве избавив од раката на Египтјаните и од раката на сите ваши угнетувачи, ги истерав од пред вас, и ви ја дадов земјата нивна,
10. и ви реков: ‘Јас сум Господ, Бог ваш; не ги почитувајте боговите на Аморејците, во чија земја живеете.‘
11. Тогаш дојде Ангелот Господов и седна во Ефрат под дабот, кој беше Јоасов, таткото на Авиезер; а синот негов Гедеон млатеше на гумното, за да се сокрие од Мадијамците.
12. И му се јави Ангелот Господов и му рече: 'Со тебе е Господ, мажу силен!'
13. Гедеон му одговори: 'Господару мој, ако е Господ со нас, зошто не снајде сета оваа мака? И каде се сите Негови чудеса, за кои ни раскажуваа нашите татковци, велејки: ‘Господ не изведе од Египет?‘ Сега Господ не остави и не предаде во рацете на Мадијамците.'
14. Господ го погледна и рече: 'Оди со таа своја сила и спаси го Израилот од раката на Мадијамците. Јас те испракам.'
15. Гедеон Му одговори: 'Господи, како ке го спасам Израилот: ете, и племето ми е најбедно во коленото Манасиево и јас сум најмал во домот на мојот татко?'
16. Господ му рече: 'Јас ке бидам со тебе, и ти ке ги поразиш Мадијамците како еден човек.'
17. Гедеон Му рече: 'Ако сум се здобил со милот пред Тебе, дај ми доказ дека Ти говориш со мене.
18. Не оди си оттука, додека не дојдам кај Тебе, да ти донесам дар свој и да Ти го предадам'. Он рече: 'Јас ке останам, додека се вратиш.'
19. Гедеон отиде и приготви козле и лебови пресни од една ефа брашно; месото го стави во кошница, чорбата ја налеа во грне, ги донесе при Него под дабот и Му ги поднесе.
20. И Ангелот Божји му рече: 'Земи го месото и погачата, и стави ги на оној камен, а чорбата истури ја.' Тој така и направи.
21. Ангелот Господов го протегна крајот на жезалот, што беше во раката негова, и го допре месото и лебовите; и вивна оган од каменот и изгореа месото и лебовите. А Ангелот Господов се сокри од очите негови.
22. И виде Гедеон дека тоа беше Ангел Господов и рече Гедеон: 'Тешко ми е, Владико Господи, зашто видов лице на Ангел Господов.'
23. Господ му рече: 'Мир на тебе, не плаши се, нема да умреш!'
24. И Гедеон Му изгради таму жртвеник на Господа и го нарече: Јехова Шалом. Тој стои и до денес во Ефрат Авиезеров.
25. Во таа нок Господ му рече: 'Земи едно теле од стадото на татка ти и едно јуне седумгодишно и разруши го жртвеникот Ваалов, кој што е кај татка ти, и исечи ги дрвцата,

што се кај него,
26. и изгради Му како што треба жртвеник на твојот Господ Бог, Кој ти се јави на врвот од карпата, па земи го второто теле и принеси го како жртва сепаленица врз дрвцата, што ке ги исечеш.'
27. Гедеон зеде десет души слуги свои и направи како што му рече Господ; но бидејки се плашеше од домашните на таткото свој и од жителите градски да го направи тоа дење, го направи ноке.
28. Кога утредента градските жители станаа, ете, жртвеникот Ваалов беше разрушен, дрвцата близу него исечени и второто теле принесено како жртва врз новоизградениот жртвеник.
29. И си говореа еден на друг: 'Кој го направи тоа?' Бараа, распрашуваа и рекоа: 'Јоасовиот син Гедеон го направи тоа.'
30. И градските жители му рекоа на Јоаса: 'Изведи го синот свој; тој треба да умре, зашто го разруши Вааловиот жртвеник и ги исече дрвцата, што беа до него.'
31. Јоас им кажа на сите што дојдоа при него: 'Вие ли ке се застапувате за Ваал, вие ли ке го заштитувате? Кој ке се застапи за него, ке биде предаден на смрт уште ова утро; ако е тој бог, сам нека се одмазди за тоа што му го срушил жртвеникот негов.'
32. И почнаа да го нерекуваа од тој ден Јеровaал, бидејки Јоас беше рекол: сам нека се одмазди Ваал со него, поради тоа што му го срушил жртвеникот негов.
33. И сите Мадијамци и Амаликовците и жителите од исток се собраа заедно, ја преминаа реката и се сместија во долината Израилска.
34. И Духот Господов го потрепи Гедеона; тој затруби со труба, и племето Авиезерово се собра да оди по него.
35. И испрати пратеници по сето племе Манасиево, и тоа се одзва да оди по него; тој исто така испрати пратеници до Асира, Завулона и Нефталима, и тие дојдоа таму да се сретнат.
36. А Гедеон Му рече на Бога: 'Ако го спасиш Израил преку мојата рака, како што говореше Ти,
37. тогаш еве, ке положам овде на гумното едно руно - ако има роса само на руното, а по целата земја биде суво, ке знам дека Ти преку мојата рака ке го спасиш Израилот, како што ми рече.'
38. Така и стана: утредента, откако стана рано, фати да го цеди руното и исцеди роса од руното цела чаша вода.
39. И Гедеон Му рече на Бога: 'Не ми се гневи, ако пак кажам и ако само уште еднаш се обидам со руното - нека биде суво само на руното, а по целата земја да има роса.'
40. Така и направи Бог во таа нок: само на руното беше суво, а по целата земја имаше роса.

Глава 7

1. И порани Јеровоам, односно Гедеон, утрината и сиот народ, што беше со него, и се сместија при изворот Арад; мадијамскиот, пак, логор беше на север од него, кај ридот Море, во долината.
2. И Господ му рече на Гедеона: 'Се тебе има многу народ, не можам да ги предадам Мадијамците во негови раце, за да не се возгордее Израилот пред Мене и да каже: 'мојата рака ме спаси'.
3. Затоа разглеси да чуе народот, и кажи: 'Кој се бои и е плашлив, нека се врати и веднаш нека оди на гор允ата Галад'. И се вратија од народот дваесет и две иљади души, а десет иљади останаа.
4. И му рече Господ на Гедеона: 'Народ се уште има многу; одведи ги кај водата, таму ке ти ги одберам; за кого ке речам: ‘да оди со тебе‘, нека оди со тебе; а за кого ке ти кажам: ‘не треба да оди со тебе‘, нека не оди.'
5. Тој го одведе народот кај водата. И му рече Господ на Гедеона: 'Кој лока вода со јазикот свој, како што лока куче, него стави го настрана, исто така и сите оние, што клекнуваат за да пијат вода.'
6. И бројот на оние, што локаа со уста од рака, беше триста души; а сиот друг народ коленичеше, за да пие вода.
7. И му рече Господ на Гедеона: 'Со тие триста, што локаа, ке ве спасам и ке ви ги предадам Мадијамците во рацете ваши, а сите други нека си одат секој во своето место'.
8. И тие ја зедоа храната од народот за себе и трубите нивни, и Гедеон ги распушти сите Израилци по шаторите, а задржа кај себе триста души. Мадијамскиот логор, пак, беше подолу од него - во долината.
9. Во онаа нок Господ му рече: 'Стани, слези во логорот, зашто ти го предадов во твои раце.
10. Ако, пак, се плашиш да слезеш сам, оди во логорот со Фара, слугата свој;
11. и ке чуеш што зборуваат, и тогаш ке се зацврстат рацете твои, и ке слезеш во логорот'. И слезе тој и Фара, слугата негов, до војниците, што беа во логорот.
12. А Мадијамците и Амаликовците и сите жители од исток се беа сместиле по долината во големо множество, како скакулци; камилите нивни беа безброј, беа многу - како песокот на морскиот брег.
13. Гедеон дојде. И ете, еден му го раскажува сонот на друг и вели: 'Сонив дека еден тркалезен јачменов леб се тркала по мадијамскиот логор и откако се отркала до шаторот, удри во него така, што тој падна, го собори, и шаторот се растури.'
14. Другиот му одговори: 'Тоа не е ништо друго, туку мечот на Гедеона, Јоасовиот син, Израилецот; Бог ги предал во рацете негови Мадијамците и целиот логор.'
15. Откако го чу прикажувањето за сонот и толкувањето негово, Гедеон Му се поклони на Господа, се врати во Израилскиот логор и рече: 'Станувајте! Господ го предаде во рацете ваши мадијамскиот логор.'
16. И ги распореди тристоте души на три чети и на сите им даде по една труба и празни стомни и во стомните свеки.
17. И им рече: 'Гледајте ме мене и правете го истото; ете, ке се доближам до логорот, и што ке правам јас, тоа правете го и вие.
18. Кога јас и тие, што се со мене ке затрубиме со труба, трубете и вие со вашите труби околу целиот логор и викајте: 'Меч Господов и Гедеонов!'
19. И дојде Гедеон и сто души со него до крајот на логорот, во почетокот на средната стража, ги разбудија стражарите, затрубија со трубите и ги скршија стомните, што беа во рацете нивни.
20. И затрубија сите три чети со труби, и ги скршија стомните, и ги држеа во левата рака свеките, а во десната рака трубите, трубеа и викаа: 'Меч Господов и Гедеонов!'
21. И секој стоеше на местото свое околу логорот; тогаш во целиот логор се растрчаа,

развикаа и почнаа да бегаат.
22. Дедека тие триста души трубеа со труби, Господ го свртe мечот на секого против другарот негов по целиот стан, и војската бегаше до Бетшита кај Царер, до пределите на Авелмехол, близу до Табата.
23. Тогаш Израилците од племето Нефталимово, Асирово и од целото племе Мансиево беа повикани и се впуштија по Мадијамците.
24. а Гедеон испрати пратеници по целата гора Ефремова да кажат: 'Излезете им во пресрет на Мадијамците и заземете им ги бродовите во водите на Ветир и Јордан.' И беа повикани сите Ефремовци, и ги заседоа бродовите во водите на Ветир и Јордан;
25. И ги фатија двајцата мадијамски кнезови: Орива и Зива; Орива го убија во Сур, а Зива - во Јаквезив, и ги гонеа Мадијамците; главите, пак, на Орива и Зива му ги однесоа на Гедеон од онаа страна на Јордан.

Глава 8

1. И му рекоа Ефремовците: 'Зошто направи така, та не повика, кога замина да војуваш против Мадијамците?' И многу се караа со него.
2. Гедеон им одговори: 'Па што направив така, како вие сега? Нели се пабирките на Ефрема подобри од гроздоберот на Авиезер?
3. Во ваши раце Бог ги предаде мадијамските кнезови Орива и Зива, и како можев јас да сторам такво нешто, како вие?' Тогаш духот нивни спрема него се смири штом тој им ги кажа тие зборови.
4. А кога дојде Гедеон кај Јордан, го премина тој и тристоте души, што беа со него. Тие беа уморни поради гонењето на непријателот.
5. И им рече тој на жителите на Сокхот: 'Дајте им леб на овие мажи што се со мене, зашто се гладни; јас ги гонам мадијамските цареви Зевеја и Салмана.'
6. Сокхотските началници рекоа: 'Зар раката на Зевеја и Салмана е веке во твои раце, та да и даваме леб на војската твоја?'
7. Гедеон одговори: 'Не така, туку кога Господ ке ги предаде Зевеја и Салмана во рацете мои, јас ке ги уништам телата ваши со трње од пустињата и со боцки.'
8. Оттука отиде во Фануил и им го рече истото на неговите жители, и фануилските жители му одговорија, како што одговорија жителите на Сокхот.
9. Тој им кажа и на фануилските жители: 'Кога ке се вратам во мир, ке ја растурам таа кула.'
10. А Зевеј и Салман беа во Каркара и војските нивни со нив до петнаесет иљади, се што беше останало од сета војска на жителите од исток; а паднаа сто и дваесет иљади души мечоносци.
11. И отиде Гедеон при оние што живееја во шатори на исток од Нов и Јегвал и го разби логорот, кога логорот стоеше безгрижно.
12. Зевеј и Салман избегаа; тој се спушти по нив и ги фати двајцата цареви - Зевеја и Салмана, и го доведе во збрка целиот логор.
13. Тогаш Гедеон, синот на Јоаса, се врати од војната пред изгревот на сонцето.
14. И фати едно момче од жителите сокхотски и го распраша; и тој му ги напиша имињата на началниците и старешните сокхотски - седумдесет и седум души.
15. Потоа дојде кај жителите сокхотски и рече: 'Ете, Зевеј и Салман, за кои ми се потсмевавте, велејки: ‘Зар раката на Зевеја и Салмана е веке во твои раце, та да им даваме леб на твоите изморени ду е?‘'
16. И зеде трње од пустињата и боцки, па ги казни со нив градските старешини, жители на Сокхот.
17. и ја сруши фануилската кула и ги уби градските жители.
18. И му рече на Зевеја и Салмана: 'Какви беа оние, што ги убивте на Тавор?' Тие одговорија: 'Беа како тебе - секој прилегаше на царски син.'
19. Гедеон рече: 'Тие беа мои брака, синови на мајка ми! Господ нека ми е сведок: да бевте ги оставиле живи, не би ве убил ни јас.'
20. И му рече на Јетера, својот првороден син: 'Стани, убиј ги!' Но момчето не го извади мечот свој; се плашеше, бидејки беше уште млад.
21. Тогаш Зевеј и Салман рекоа: 'Стани сам и порази не, зашто според човекот е и силата негова.' И стана Гедеон, и ги уби Зевеја и Салмана, и ги зеде веришките, што беа околу вратовите на камилите нивни.
22. И му рекоа Израилците на Гедеона: 'Владеј со нас ти и син ти и внук ти, бидејки ти не спаси од рацете на Мадијамците.'
23. Гедеон им одговори: 'Ниту јас ке владеам со вас, ниту мојот син ке владее со вас; Господ нека владее со вас.'
24. И им рече уште Гедеон: 'Ве молам за едно, дајте ми секој по еден накит од пленот свој. Зашто непријателите, бидејки беа Исмаилци, имаа многу златен накит.'
25. Тие одговорија: 'Ке дадеме.' И послаа една облека и фрлаше таму секој по еден накит од

пленот свој.
26. Златните накити, што тој ги измоли, тежеа иљада и седумстотини сикли, освен веришките, копчињата и пурпурните одежди, што ги носеа мадијамските цареви, и освен златните веришки што беа на вратовите од камилите нивни.
27. Од тоа Гедеон направи Ефод и го стави во својот град, во Ефрат; и почнаа сите Израилци блудно да одат таму, по ефодот, кој беше замка за Гедеона и целиот дом негов.
28. Така се смирија Мадијамците пред синовите Израилеви и повеке не кренаа глава, и земјата беше спокојна четириесет години во деновите на Гедеона.
29. И отиде Јеравaал, Јоасовиот син, и живееше во својот дом.
30. Гедеон имаше седумдесет сина, произлезени од бедрата негови, бидејки имаше многу жени.
31. А и наложницата, која живееше во Сихем, му роди син, и нему му даде име Авимелех.
32. И умре Гедеон, синот Јоасов, во длабока старост, и беше погребан во гробот на таткото свој, Јоас, во Ефрат Авиезеров.
33. Откако умре Гедеон, Израилевите синови пак почнаа да одат блудно по Вааловци и го поставуја за свој бог Ваалверита.
34. Израилевите синови не се сетија на Господа, својот Бог, Кој ги беше спасувал од рацете на сите околни непријатели,
35. и кон домот на Јеровaала, односно на Гедеона, не покажаа благодарност за сите добрини што му ги направи Тој на Израилот.

Глава 9

1. Авимелех, Јероваaловиот син, отиде во Сихем кај вујковците свои, и им рече ним и на целото племе од мајчиното потекло:
2. 'Кажете им на сите сихемски жители: што е подобро за вас, да владеат со вас сите седумдесет синови Јероваалови или да владее со вас еден? И спомнете си дека јас сум ваша коска и ваше тело.'
3. Вујковците им ги кажаа на жителите сихемски сите тие зборови за него; и срцето на тие жители се склони кон Авимелеха, бидејќи си говореа: 'Тој е наш брат'.
4. И му дадоа седумдесет сикли сребро од домот на Ваалверит, за кои Авимелех најде безделници и скитници, кои тргнаа по него.
5. И дојде во домот на таткото свој во Ефрат и ги уби браката свои, седумдесетте Јероваалови синови, врз еден камен. Остана само Јотам, најмалиот Јероваалов син, зашто се беше сокрил.
6. Тогаш се собраа сите сихемски жители и целиот дом на Маалов, и отидоа, па го поставија Авимелеха за цар кај дабот, близу до Сихем.
7. Откако му раскажаа за тоа на Јотама, тој отиде и застана на врвот од горатa Гаризим и, откако го крена гласот свој, па викна и им рече: 'Чујте ме, жители Сихемски, и Бог ке ве чуе!
8. Едно време тргнале дрвјата да побараат цар и и рекле на маслинката: 'Стани ни цар!'
9. Маслинката им рекла: 'Зар да ја оставам маснотијата своја, со која се послужува Бог и лу ето, па да тргнам да скитам по дрвјата?'
10. Тогаш дрвјата и рекле на смоквата: 'Дојди ти, да ни станеш цар!'
11. Смоквата им одговорила: 'Зар да си ја оставам сладоста своја и убавиот плод и да тргнам да скитам по дрвјата?'
12. И кажале дрвјата на лозата: 'Дојди ти, да ни станеш цар!'
13. Лозата им рекла: 'Зар да го оставам сокот свој, што ги весели Бога и лу ето, и да тргнам да скитам по дрвјата?'
14. Најпосле сите дрвја му рекле на трнот: 'Дојди ти, да ни станеш цар!'
15. Трнот им рекол на дрвјата: 'Ако, навистина, ме поставите за цар над себеси, тогаш дојдете да си починете под сенката моја; ако не, ке излезе оган од трнот и ке ги изгори кедрите ливански.'
16. И, ете, гледате, по вистина и по правда ли постапиле кога го поставиле за цар Авимелеха? И добро ли постапиле со Јероваала и домот негов, и според неговите добрини ли направиле така?
17. За вас сите војуваше татко ми, не го жалеше ни животот свој и ве спаси од рацете на Мадијамците;
18. а вие сега се кревате против домот на мојот татко и ги убивате седумдесетте синови на татко ми врз еден камен и го поставивте за цар над жителите сихемски Авимелеха, синот на робинката негова, зашто е ваш брат.
19. Ако денес сте постапиле според вистината и според правдата со Јероваала и со домот негов, тогаш одете и радувајте се на Авимелеха, и тој да се радува на вас;
20. ако, пак, не - нека излезе оган од Авимелеха и нека ги избори жителите сихемски и целиот дом Маалов, и нека излезе оган од жителите сихемски и од домот Маалов и да го изгори Авимелеха!'
21. И избега Јотам, избега и отиде во Веер, и живееше таму скришно од братот свој Авимелеха.
22. Авимелех, пак, царуваше над Израилот три години.
23. И испрати Бог луш дух ме у Авимелеха и жителите на Сихем, и почнаа жителите сихемски да не му се покоруваат на Авимелеха.
24. За да се одмазди за седумдесетте синови Јероваалови, и крвта нивна да им се сврти против братот нивни Авимелеха, кој ги уби, и против жителите сихемски, кои ја поддржаа раката негова, за да го убие братот свој,
25. жителите сихемски поставија по горските врвови против него заседи, кои го ограбуваа

секого, што минуваше покрај нив по патот. За тоа му беше јавено на Авимелеха.
26. Во Сихем простигна и Гал, Еведовиот син, со браката свои, и одеа во Сихем, и жителите сихемски се потпреа врз него.
27. И излегоа во полето, и го береа грозјето свое, го газеа и се веселеа, па отидоа во домот на својот бог, јадеа и пиеја, и го проколнуваа Авимелеха.
28. А Гал, Еведовиот син, рече: 'Кој е Авимелех и што е Сихем, та да му служиме? Не е ли тој Јероваалов син, и не е ли Зевул неговиот главен слуга? Подобро служете им на потомците од Емора, татко Сихемов, а нему зошто да му служиме?
29. Ако некој ми го дадеше тој народ во рацете мои, јас ке го изгонев Авимелеха.' И му беше речено на Авимелеха: 'Зголеми ја војската своја и излегувај.
30. Зевул, управителот на градот, гу чу зборовите на Гал, Еведовиот син, и силно се разгневи.
31. Тој испрати тајно пратеници кај Авимелеха да му кажат: 'Ете, Гал, Еведовиот син, и браката негови дојдоа во Сихем, и го бунтуваат градот против тебе;
32. затоа стани нокеска, ти и народот, што се нао а со тебе, и постави заседа во полето;
33. а изутрина, по изгревање на сонцето, стани и пристапи кон градот; и кога тој и народот, кој е со него, ке излезат спроти тебе, тогаш прави го со нив она, што раката твоја може.'
34. Авимелех стана нокта, и сиот народ, што се нао аше се него, и поставија во заседа кај Сихем четири дружини.
35. Утредента Гал, Еведовиот син, излезе и застана кај градските порти; а излезе и Авимелех и народот, што беше со него, од заседата.
36. Гас, откако го виде народот му рече на Зевула: 'Еве, народот слегува од врвот на горoccupied.' Зевул му одговори: 'Сенките од дрвјата ти се причинуваат лу е.'
37. Гал пак проговори и рече: 'Ене, народот се спушта од височините, и една дружина доа а откај патот на дубравата Меоним.'
38. И му рече Зевул: 'Каде ти е устата, која велеше: ‘кој е Авимелех, та да му служиме?‘ Ова е народ, што ти го презираше; излегувај сега и бори се со него.'
39. И тргна Гал пред жителите сихемски и се судри со Авимелеха.
40. Но Авимелех се спушти по него, и тој избега од него; а паднаа многу убиени до самите градски порти.
41. И Авимелех остана во Арум, а Зевул го истера Гала и браката негови, за да не живее во Сихем.
42. На другиот ден народот излезе во полето, и му јавија за тоа на Авимелеха.
43. Тој го зеде народот свој и го раздели на три дружини и ги постави во заседа по полето. И, откако виде, дека народот излезе од градот, се крена против нив и ги уби.
44. Додека Авимелех и дружините, што беа со него, пристапија и застанаа кај градските порти, другите две дружини ги нападнаа сите, што беа во полето, и ги испотепаа.
45. И Авимелех водеше борба со градот, целиот тој ден, го презеде градот, го порази народот, што беше во него, го разруши градот и го посипа со сол.
46. Откако го слушнаа тоа сите, што беа кај кулата Сихемска, влегоа во куката на богот Валверит.
47. Му јавија на Авимелеха дека таму се собрале сите, што беа во кулата Сихемска.
48. Тогаш Авимелех отие на гората Салмон, тој и сиот народ, кој беше со него, и зеде Авимелех секира со себеси, отсече гранка од дрвјата, ја стави на рамото свое и му рече на народот, што беше со него: 'Вие видовте што направив; поскоро направете го и вие она што го направив и јас.'
49. И секој од сиот народ пресече гранка, па тргнаа по Авимелеха, ги натрупаа гранките околу кулата и запалија оган со нив, и изгинаа сите, што беа во кулата Сихемска, околу иљада души мажи и жени.
50. Потоа Авимелех отиде во Тевес и го опседна и го презеде.
51. Среде градот имаше јака кула; таму избегаа сите мажи и жени и сите градски жители, се затворија и се качија на покривот од кулата.

52. Авимелех дојде до кулата, удри на неа и се приближи до вратата од кулата, за да ја изгори со оган.
53. Тогаш една жена фрли парче од воденичен камен врз главата на Авимелеха и му го скрши черепот.
54. Авимелех веднаш го повика слугата, оруженосецот свој, и му рече: извади го мечот свој и убиј ме, за да не се рече за мене: 'го уби жена'. И слугата го прободе и тој умре.
55. Израилците, откако видоа дека Авимелех умре, отидоа секој во местото свое.
56. Така му даде Бог на Авимелеха за злочинот што го направи против таткото свој, убивајки ги седумдесетте брака свои.
57. И сите злодела на сихемските жители Бог ги сврти против главите нивни; и ги стигна клетва од Јотам, Јероваaловиот син.

Глава 10

1. По Авимелеха се крена да го спаси Израилот Тола, синот на Фуј, син Додов, од Исахарово племе. Тој живееше во Самир, на горота Ефремова.
2. Тој беше судија над Израилот дваесет и три години, и умре, и беше погребан во Самир.
3. По него се крена Јаир од Галад, кој беше судија над Израилот дваесет и две години.
4. Тој имаше триесет и два сина, кој јаваа на триесет и две ослиња, и тие имаа триесет и два града, кои и до денес се нарекуваат Јаирови селишта, а се во Галадската земја.
5. Умре Јаир и беше погребан во Камон.
6. А Израилевите синови пак почнаа да вршат зло пред Господа и им служеа на разни Вааловци и Астарти, на боговите сириски, на боговите сидонски, на боговите моавски, на боговите амонитски и на боговите филистејски, а Господа Го оставија и не Му служеа.
7. И се разгори гневот на Господа против Израилот, и Он ги предаде во рацете на Амонитите.
8. Оттогаш тие ги угнетуваа и ги мачеа Израилевите синови осумнаесет години по ред, сите Израилеви синови од онаа страна на Јордан во Аморејската земја, кој е во Галад.
9. Најпосле Амонитите го преминаа Јордан, за да војуваат против Јуда и Венијамина и против домот Ефремов. И синовите Израилеви беа на големи маки.
10. Па повикаа синовите Израилеви кон Господа и рекоа: 'Згрешивме пред Тебе, зашто го оставивме нашиот Бог и им служиме на Вааловци.'
11. И Господ им рече на Израилевите синови: 'Не ве угнетуваа ли Египтјаните и Аморејците, Амонитите и Филистејците,
12. Сидонците, Амаликијците и Моавците и кога повикавте кон Мене, не ве спасив ли од рацете нивни?
13. А вие Ме оставивте и почнавте да им служите да други богови; затоа нема повеке да ве спасувам;
14. одете, повикајте ги боговите, што сте ги избрале, нека ве спасат тие во ова за вас тешко време.'
15. Тогаш синовите Израилеви Му рекоа на Господа: 'Згрешивме; прави со нас се што Ти е угодно, само спаси не сега.'
16. И ги отфрлија од себе ту ите богови и почнаа да Му служат само на Господа. И не ги истрпе душата Негова страдањата Израилеви.
17. Амонитите, пак, се собраа и се сместија, се улогорија во Галад; исто така се собраа и Израилевите синови и се улогорија во Масифа.
18. Народот и началниците галадски се рекоа еден на друг: 'Кој ке почна војна против Амонитите, тој нека биде началник на сите галадски жители.'

Глава 11

1. А Ефтај беше од Галад, човек храбар; но беше син на една блудница, со која Гал го роди Ефтаја.
2. Но жената на Гал му роди синови. Кога пораснаа синовите од жената, таа го истера Ефтаја, велејки му: 'Ти не си наследник на татковиот ни дом, зашто си син на друга жена.'
3. И Ефтај избега од браката свои во земјата Тов. При Ефтајта се собраа тогаш безделниците и одеа по него.
4. По извесно време Амонитите влегоа во војна против Израилот.
5. Во времето на војната на Амонитите против Израилот отидоа галадските старешини да го доведат Ефтај од земјата Тов,
6. и му рекоа на Ефтаја: 'Дојди, стани ни војвода и ке војуваме против Амонитите.'
7. Ефтај им рече тогаш на галадските старешини: 'Нели ме намразивте и ме истеравте од домот на така ми? Зошто дојдовте сега кај мене, кога сте во невоља?'
8. Галадските старешини му одговорија на Ефтаја: 'За тоа дојдовме кај тебе сега, за да дојдеш со нас и да војуваш против Амонитите и да бидеш кај нас кнез на сите жители галадски.'
9. А Ефтај им одговори на галадските старешини: 'Ако ме вратите, за да се борам против Амонитите, и Господ ми ги предаде, - ке станам ли кај вас кнез?'
10. Галадските старешини му рекоа на Ефтај: 'Господ нека биде сведок ме у нас, дека ке постапиме според зборот твој!'
11. Потоа Ефтај отиде со галадските старешини, и народот го постави за свој кнез и војвода. И Ефтај ги искажа сите свои зборови пред Господа, што ги беше рекол во Масифа.
12. И Ефтај испрати тогаш пратеници при амонитскиот цар да каже: 'Што бараш од мене, та си дошол кај мене да војуваш во земјата моја?'
13. А амонитскиот цар им рече на Ефтаевите пратеници: 'Кога Израил дојде од Египет, ја заседе мојата земја од Арнон до Јавок и Јордан; затоа врати ми ја на мирен начин и јас ке се повлечам.'
14. И се вратија пратениците на Ефтаја. Но Ефтај пак испрати пратеници при амонитскиот цар,
15. за да му кажат: 'Вака вели Ефтај: Израел не ја заседе земјата Моавска и земјата Амонитска;
16. зашто, кога доа аше од Египет, Израилот отиде во пустињата кај Црвеното Море и дојде во Кадес;
17. оттаму Израил испрати пратеници кај едомскиот цар за да кажат: ‘дозволи ми да минам низ земјата твоја‘. Но едомскиот цар не се согласи; и при моавскиот цар испрати, но и тој не се согласи. Зато Израил остана во Кадес.
18. И тргна преку пустињата, ја заобиколи земјата Едомска и земјата Моавска, и дојде до источната граница на Моавската земја, и се смести од онаа страна на Аронон; не не влезе во пределите моавски, бидејки Арнон е граница на Моав.
19. Но Израил испрати пратеници и при Сиона, царот аморејски, царот есевонски, и му рече: ‘дозволи ни да минеме преку твојата земја до нашето место.‘
20. Но Сион не му дозволи на Израилот да мине преку пределите негови, и го собра Сион сиот народ свој, па се улогори во Јас и се судри со Израилот.
21. И Господ, Бог Израилев, го предаде Сиона и сиот негов народ во рацете на Израилот, и тој ги испотепа; и завладеа Израил со целата земја на Аморејците, кои живееја во таа земја,
22. и тие завладееја над сите предели на Амореја, од Арнон до Јавок и од пустињата до Јордан.
23. И така, Господ, Бог Израилев, ги изгони Аморејците пред народот Свој, Израилот, а ти сакаш да го завладееш?
24. Не владееше ли ти со тоа, што ти го дал Хамос, твојот Бог? И ние владееме со сето она, што ни го даде како наследство Господ, нашиот Бог.
25. Зар си ти подобар од Валак, Сепфоровиот син, царот моавски? Се карал ли тој со Израилот или војувал ли против него?
26. Израилот живее веке триста години во Есевон и во нему потчинетите градови, во Ароир и

во потчинетите му градови, и во сите градови, што се блиску до Арнон; зошто за тоа време не ги одзедовте?
27. Јас не сум виновен пред тебе, а ти ми правиш зло, излегуваш во војна против мене. Господ нека биде судија ме у синовите Израилеви и Амонитите.'
28. Но амонитскиот цар не ги послуша зборовите на Ефтаја, што тој му ги испрати.
29. И слезе врз Ефтаја Духот Господов, и тој го премина Галад и Манасија, ја премина Масифа Галадска, и од Масифа Галаска отиде кај Амонитите.
30. И се заветува Ефтај пред Господа, велејки: 'Ако ги предадеш Амонитите во рацете мои,
31. тогаш, кога ке се вратам со мир од Амонитите, се што ке ми излезе во пресрет од вратата на домот мој, нека биде за Господа, и ке го принесам за жртва сепаленица.'
32. Па отиде Ефтај кај Амонитите, да се бори против нив, и Господ му ги предаде во рацете негови;
33. и им нанесе многу голем пораз, од Ароир до Менит, во дваесет градови, и до Авел - лозарски крај, и се смирија Амонитите пред синовите Израилеви.
34. Потоа дојде Ефтај во Масифа, во домот свој, и ете, керка му излегува во пресрет со тимпани и хор: таа му беше единица; освен неа немаше ни син ни керка.
35. Штом ја виде, ја раскина облеката своја и рече: 'Ах, дете мое! Ти ме сосипа: и ти се ме у оние, што го нарушија спокојството мое! Јас ја отворив устата своја пред Господа и не можам да одречам.'
36. Таа му одговори: 'Татко! Ти си ја отворил устата своја пред Господа - прави го она со мене, што си го кажал со устата своја, штом Господ се одмазди преку тебе на твоите непријатели, Амонитите'.
37. И му рече на татка си: 'Направи ми уште, еве, што - пушти ме за два месеца да отидам да се искачам на горатa и да го исплачам моминството свое со другарките мои!'
38. Тој и рече: 'Оди!' И ја пушти за два месеца. Таа отиде со другарките свои и го оплакуваше моминството свое во горатa.
39. По два месеца таа се врати при татка си, и тој го изврши над неа заветот свој, што го даде, и таа не позна маж. И стана обичај кај Израилот,
40. така што од година до година керките Израилеви да одат и ја оплакуваат керката на Галадецот Ефтаја, по четири дена секоја година.

Глава 12

1. Лу ето од Ефремовото племе се собраа, дојдоа во Сефин и му рекоа на Ефтаја: 'Зошто отиде да војуваш против Амонитите, а нас не не повика со себе? Ние ке го изгорима со оган домот твој со тебе.'
2. Ефтај им рече: 'Јас и народот мој имавме со Амонитите силни караници; јас ве повикав, но вие не ме спасивте од рацете нивни.
3. Откако увидов, дека вие нема да ме спасите, го изложив животот на опасност и отидов против Амонитите, и Господ ги предаде во рацете мои; зошто дојдовте сега да војувате против мене?'
4. Тогаш Ефтај ги собра сите галадски жители и удри на Ефремовците, и жителите галадски ги испотепаа Ефремовците, велејки: 'Вие сте бегалци Ефремови, а Галад е среде Ефрема и среде Манасија'.
5. И Галадците ги заседоа бродовите јордански од Ефремовците, и кога некој од унесрекените Ефремовци ке речеше: 'дозволете ми да преминам', жителите галадски му велеа: 'нели си ти Ефремовец?' Тој ке одговори: 'не'.
6. Тие ке му речат: 'кажи шиболет', и тој ке рече: 'сиболет', и не можеше никако да го изговори. Тогаш тие го земаа и го заколуваа при бродот преку Јордан. И во тоа време од Ефремовците паднаа читириесет и две иљади.
7. Ефтај беше судија над Израилот шест години, и умре Ефтај, и беше погребан во еден од галагадските градови.
8. По него судија над Израилот беше Есевон од Витлеем.
9. Тој имаше триесет синови, а триесет керки од домот свој омажи, додека тириесет керки зеде однадвор за синовите свои, и беше судија над Израилот седум години.
10. Есевон умре и беше погребан во Витлеем.
11. По него судија над Израилот стана Елон од Завулон и му судеше на Израилот десет години.
12. Умре и Завулонецот Елон и го погребаа во Елим, во земјата Завулонова.
13. По него беше судија над Израилот Авдон, син на Елива Фаратонецот.
14. Тој имаше четириесет синови и триесет внуци, кои јаваа на седумдесет ослиња; тој му судеше на Израилот осум години.
15. И умре Авдон, синот на Фаратонецот Елива, и беше погребан во Фаратон, во земјата Ефремова, во гората Амаликова.

Глава 13

1. Израилевите синови пак правеа зло пред Господа, и Господ ги предаде во рацете на Филистејците за време од четириесет години.
2. Во тоа време имаше еден човек од Сарај, од Дановото племе, по име Маној; жена му беше неплодна и не ра аше.
3. И Ангел Господов и се јави на жената и и рече: 'Ете, ти си неплодна и не ра аш; но ке зачнеш и ке родиш син;
4. затоа пази се, не пиј вино и сикер и не јади ништо нечисто;
5. оти, ете, ке зачнеш и ке родиш син, и брич нема да ја допре главата негова, зашто од самата мајчина утроба тоа младенче ке биде назореј Божји, и ке почне да го спасува Израилот од рацете на Филистејците.'
6. Жената дојде и му кажа на мажот свој, велејки: 'Човек Божји дојде кај мене, и лицето му беше како лице на Ангел Божји, многу страшно; јас не го прашав од каде е, и тој не ми го кажа името свое;
7. тој ми рече: ‘ете, ке зачнеш и ке родиш син; затоа не пиј вино и сикер и не јади ништо нечисто, бидејки младенчето од самата мајчина утроба па до смртта своја ке биде посветено на Бога.‘
8. И Маној му се помоли на Господа и рече: 'Господи! Нека дојде пак при нас човекот Божји, што си го испратил, и нека не научи како да постапиме со младенецот, што ке се роди.'
9. Бог ја услиши молитвата на Маноја, и Ангелот Божји пак дојде при жената, кога таа беше во полето, а Маној, мажот нејзин, не беше со неа.
10. Жената во тој момент потрча и му јави на мажот свој и му рече: 'Ете, ми се јави човекот, кој порано дојде при мене.'
11. Маној стана и тргна со жена си, и дојде кај оној човек и му рече: 'Ти ли си човекот, што говорел со оваа жена?' И Ангелот рече: 'Јас.'
12. И рече Маној: 'И така, нека се исполни зборот твој, но како да постапуваме со тоа младенче, и што да правиме со него?'
13. Ангелот Господов му кажа на Маној: 'Нека се чува тој од се она, за кое и говорев на жената;
14. нека не јаде ништо од она што лозата го ра а; нека не пие вино и сикер, да не јаде ништо нечисто и да внимава на се, што и заповедав.'
15. А Маној му рече на Ангелот Господов: 'Дозволи ми да те задржам, додека да зготвиме јаре.'
16. Ангелот Господов му рече на Маној: 'И да ме задржиш, јас нема да јадам твој леб; ако, пак, сакаш да Му принесеш жртва на Господа, принеси го.' Маној не знаеше, дека е тоа Ангел Господов.
17. Маној пак го праша Ангелот Господов: 'Како ти е името, за да те прославам, кога ке се исполни зборот твој.'
18. Ангелот Господов му одговори: 'Зошто прашуваш за името мое? Тоа е чудно.'
19. И го зеде Маној јарето и лебниот принос и Му ги принесе на Господа врз камен. И Он изврши чудо, кое го видоа Маној и неговата жена.
20. Кога почна пламенот да се издига од жртвеникот кон небото, Ангелот Господов се издигна во жртвениот пламен. Откакот го видоа тоа, Маној и жената негова паднаа ничкум на земјата.
21. И Ангелот Господов стана невидлив за Маној и жената негова. Тогаш Маној дозна, дека тоа беше Ангел Господов.
22. И и рече Маној на жената своја: 'Бездруго ке умреме, бидејки Го видовме Бога.'
23. Жената му рече: 'Ако Господ сакаше да не умртви, не би примил од рацете наши жртва сепаленица и лебен принос, и не би ни го покажал сето она, а сега не би ни го открил ова.'
24. и жената роди син и го нарече со името Самсон. И младенчето растеше, и Господ го благословуваше.
25. И Духот Господов почна да дејствува во него во Дановиот логор, ме у Сарај и Естаол.

Глава 14

1. И отиде Самсон во Тамната и виде во Тамната мома од филистејските керки.
2. Тој отиде и им јави на татка си и на мајка си и рече: 'Видов во Тамната девојка од филистејските керки; земете ми ја за жена'.
3. Татко му и мајка му рекоа: 'Зар нема мома ме у керките на браката твои и во сиот народ, па одиш да земеш жена од необрезаните Филестејци?' А Самсон му одговори на татка си: 'Неа земи ја за жена, бидејки таа ми се свиде.'
4. Тако му и мајка му на знаеја дека тоа е од Господа, и дека тој бара случај да им се одмазди на Филистејците. Во тоа време Филистејците владееја над Израилот.
5. И отиде Самсон со татка си и мајка си во Тамната, и кога се приближуваа до Тамнатските лозја, ете еден млад лав, рикајку му доа а во пресрет.
6. И Духот Господов слезе врз него, и тој го раскина лавот како јаре; а во раката негова немаше ништо. И не им кажа на татка си и мајка си, што направи.
7. И дојде и поразговара со девојката, и таа му се допадна на Самсона.
8. По неколку дена, тој пак отиде, за да ја земе, и наврати да го види трупот на лавот, и ете, рој пчели на трупот од лавот и мед.
9. Тој зеде од медот во рацете свои, тргна и јадеше по патот; и кога дојде кај татка си и мајка си, им даде и ним, и тие јадеа; не ни им кажа дека тој мед го зел од трупот на лавот.
10. Дојде и татко му кај девојката, и таму Самсон приреди седумдневна гозба, како што обично прават младоженците.
11. И штом го видоа таму, избраа триесет брачни другари, кои ке бидат при него.
12. И им рече Самсон: 'Ќе ви поставам една гатанка: ако ми ја одгатнете во текот на седумте дена на гозбава и ја погодите точно, ке ви дадам триесет кошули и триесет промени;
13. ако, пак, не можете да ја одгатнете, вие ке ми дадете триесет кошули и триесет промени.' Тие му рекоа: 'Постави ја гатанката, да ја чуеме.'
14. И им рече: 'Од јадачот излезе јадење, и од силниот излезе слатко.' И три дена не можеа да ја одгатнат гатанката.
15. На седмиот ден тие и рекоа на Самсоновата жена: 'Потсети го мажот твој, да ни ја одгатне гатанката; инаку ке те изгориме со оган тебе и домот на таткото твој; зар не поканивте да не оберете.'
16. И плачеше пред Самсона жената негова, велејки: 'Ти ме мразиш и не ме сакаш; ти им зададе гатанка на синовите на мојот народ, а мене не ми ја одгатнуваш.' Тој и рече: 'На татко ми и на мајка ми јас не им ја одгатнав, на тебе ли да ти ја кажам?'
17. И плачеше таа пред него седум дена, додека траеше гоштевањето нивно. Најпосле на седмиот ден тој и ја одгатна, бидејки таа упорно го молеше. А таа им ја кажа гатанката на синовите на својот народ.
18. И на седмиот ден пред зајдисонце му рекоа гра аните: 'Што е послатко од мед, и што е посилно од лав?' Тој им рече: 'Да не бевте орале со мојата јунечка, немаше да ја одгатнете гатанката моја.'
19. И Духот Господов слезе врз него, и тој отиде во Аскалон, каде што уби триесет души, ги соблече од нив алиштата, им ги даде промените на оние, што ја беа одгатнале гатанката; и се расрди многу, па отиде во куката на таткото свој.
20. А жената на Самсон се омажи за неговиот свадбен другар, кој му беше пријател.

Глава 15

1. По неколку дена, по жетвата на пченицата, дојде Самсон да се види со жена си, донесувајки со себе едно јаре; и кога рече: 'Ќе влезам при жена си во спалната', татко и не му дозволи да влезе.
2. И рече татко и: 'Јас помислив дека ти си ја намразил, па ја дадов на пријателот твој; ете, помалата сестра е поубава од неа; таа нека биде твоја неместо неа.'
3. Тогаш Самсон рече: 'Сега ке бидам прав пред Филистејците, ако им сторам зло.'
4. И отиде Самсон и улови триста лисици и, откако зеде свеки, врза опашка за опашка и врза една свека ме у две опашки;
5. ги запали свеките, и ги пушти лисиците во посевите филистејцки та ги изгоре крстините и неожнеаното жито, и лозјата и маслиновите градини.
6. И се прашуваа Филистејците: 'Кој го направи тоа?' И рекоа: 'Самсон, зетот на тимнатеецот, бидејки тој му ја одзеде жената и ја даде на другарот негов.' Тогаш Филистејците отидоа и ја изгорија со оган неа и домот на татко и.
7. Самсон им рече: 'Иако го сторивте тоа, јас пак ке ви се одмаздам и само тогаш ке се успокојам.'
8. И тој им ги скрши колената до бедрата, и отиде па заседна во пештерата кај карпата Итам.
9. Тогаш станаа Филистејците и се улогорија во Јудеја, па се раширија дури до Лехи.
10. А жителите на Јудеја запрашаа: 'Зошто излеговте против нас?' Тие одговорија: 'Дојдовме да го врземе Самсона, за да постапиме со него онака како што тој постапи со нас.'
11. И три иљади души Јудејци отидоа до пештерата кај карпата Итам и му рекоа на Самсона: 'Зар не знаеш дека Филистејците владеат над нас? Што ни направи?' Тој им одговори: 'Како што постапија тие со мене, така постапив и јас со нив.'
12. Тие му рекоа: 'Дојдовме да те врземе, за да те предадеме во рацете на Филистејците.' А Самсон им рече: 'Заколнете се дека нема да ме убиете.'
13. Тие му одговорија: 'Не, ние само ке те врземе и ке те предадеме во рацете нивни, а што се однесува до убивањето, нема да те убиеме.' И го врзаа со две нови јажиња и го одведоа од пештерата.
14. Кога се приближи до Лехи, Филистејците го пресретнаа со радосно викање. И Духот Господов слезе врз него, и јажињата на рацете негови станаа како изгорен лен, и врските паднаа од рацете негови.
15. Па најде пресна ослина челуст, ја протегна раката, и ја зеде и уби со неа иљада души.
16. И рече Самсон: 'Со ослина челуст убив толку, двапати по толку, со ослина челуст убив иљада души.'
17. Откако го рече тоа, ја фрли челуста од раката своја и го нарече тоа место: 'Рамат-Лехи.'
18. Тогаш почувствува силна жед; викна кон Господа и рече: 'Ти го изврши со раката на Твојот слуга ова големо избавување; но сега ке умрам ли од жед или ке паднам во рацете на необрезаните.'
19. И Бог ја расцепи карпата во Лехи, и потече вода од неа. Тој се напи, духот му се поврати и оживе; затоа беше наречено тоа место: 'Извор на оној што се моли', што е во Лехи и до ден денес.
20. И тој беше судија над Израилот во дните на Филистејците дваесет години.

Глава 16

1. Потоа Самсон дојде во Газа; таму виде една блудница и влезе при неа.
2. Им јавија на жителите од Газа: 'Самсон дојде овде'. И обиколуваа, го чекаа цела нок при градските порти и се криеја цела нок, велејки: 'До осамнување ке чекаме и ке го убиеме.'
3. А Самсон спиеше до полнок; на градските порти со двата довратника, ги крена заедно со дирецитe, ги стави на грб и ги оденсе на врвот од горaта, која е на патот за Хеврон и ги остави таму.
4. Потоа тој засака една, која живееше во долината Сорек; името и беше Далида.
5. Дојдоа кај неа филистејските кнезови и и рекоа: 'Запрашај го и дознај во што му е големата сила, и како да го надмудриме, за да го врземе и да го смириме; ние, пак, ке ти дадеме за тоа секој по иљада и сто сикли сребро.'
6. Тогаш Далида го праше Самсона: 'Кажи ми, во што ти е големата сила, и со што би можеле да те врзат, за да те смират?'
7. Самсон и одговори: 'Ако ме врзат со седум сурови тетиви, уште неисушени, јас ке станам бессилен и ке бидам како другите лу е.'
8. И и донесоа филистејските кнезови седум сурови тетиви, уште неисушени, и таа го врза со нив.
9. Во тоа време еден од нив седеше сокриен во спалната нејзина; и таа рече: 'Самсоне, Филистејците идат против тебе.' Тој ги раскина тетивите, како што се раскинува коноп кога ке го гори оган. И не се дозна за силата негова.
10. И Далида му рече на Самсона: 'Ете, ти ме измами и ми кажа лага; кажи ми сега, со што можат да те врзат?'
11. Тој и одговори: 'Кога би ме врзале со нови јажиња, кои не биле употребени, јас би станал бессилен и ке бидам како другите лу е.'
12. Далида зеде нови јажиња, го врза и му рече: 'Самсоне, Филистејците доа аат против тебе.' Во тоа време еден од нив седеше сокриен во спалната. И тој ги скина јажињата од рацете свои како конци.
13. И Далида пак му рече на Самсона: 'Ти се ме мамиш и ми говориш лага; кажи ми, со што можат да те врзат?' Тој одговори: 'Ако привиеш седум перчиња од косата на главата моја, на вратило и ги забиеш со колец на камен јас ке бидам бессилен како другите лу е.'
14. И го успа Далида на колената свои. И кога тој заспа, Далида зеде седум перчиња од косата на главата негова, ги приви на вратилото и со колец ги притегна на камен и му рече: 'Филистејците идат против тебе, Самсоне!' Тој се разбуди од сонот и го извлече кросното сплеткано од основата и вратилото, и пак не се дозна за силата негова.
15. И Далида тогаш му рече: 'Зошто зборуваш ‘те сакам‘, а срцето твое не е со мене? Ете, ме измами трипати и не ми кажа, во што е твојата голема сила.'
16. И бидејки таа го возменураваше со зборовите свои секој ден и го мачеше, душата негова му се натажи до смрт.
17. И тој и го откри целото свое срце, велејки и: 'Бербер не се допрел до главата моја, зашто јас сум назореј Божји од мајчината си утроба: ако ме истриже некој, ке ме напушти силата моја; јас ке ослабам и ке бидам како другите лу е.'
18. Далида, откако виде, дека тој и го откри целото срце свое, испрати и ги повика филистејските кнезови, велејки им: 'Дојдете сега; тој ми го откри целото срце свое.' И тие дојдоа кај неа и донесоа сребро во рацете свои.
19. И Далида го успа на колената свои, па повика еден човек, та му заповеда да ги истриже седумте плетенки на главата негова. И тој почна да ослабува, и силата негова го напушти.
20. Таа тогаш рече: 'Филистејците доа аат против тебе, Самсоне!' Тој се разбуди од сонот свој и рече: 'Ќе отидам, како и порано, и ке се ослободам.' Но не знаеше, дека Господ отстапил од него.
21. Филистејците го фатија и му ги извадија очите, го доведоа во Газа и го оковаа со две

бакарни вериги, и тој мелеше во затворот.
22. Ме утоа, косата на главата негова, откако беше истрижен, почна пак да расте.
23. Филистејските кнезови се собраа, за да принесат голема жртва на Дагона, својот бог, и да се провеселат, па рекоа: 'Нашиот бог го предаде во рацете наши нашиот непријател Самсон.'
24. Исто така и народот, откако виде, го прославуваше својот бог, велејки: 'Нашиот бог ни го предаде во рацете наши непријателот наш и опустошителот на земјата наша, кој порази многумина од нас.'
25. А кога се развесели срцето нивно, рекоа: 'Повикајте го Самсона од затворот за да не развесели. И го повикаа Самсона од затворот, и тој ги веселеше и го ставија ме у два столба.
26. И Самсон му рече на момчето, што го водеше за рака: 'Дозволи ми да ги напипам столбовите, врз кои се крепи домот, и да се потпрам на нив. Момчето така и направи.
27. А домот беше полн со мажи и жени: таму беа сите филистејски кнезови, и на покривот имаше до три иљади мажи и жени, кои гледаа во Самсона како ги веселеше.
28. Повика Самсон кон Господа и рече: 'Господи Боже, спомни си за мене и поддржи ме само сега, о Боже, за да им се одмаздам веднаш на Филистејците за двете очи мои.'
29. И ги помести Самсон од местото двата средни столба, врз кои се крепеше домот, откако наблегна врз нив, на едниот со десната рака, а на другиот со левата.
30. И Самсон рече: 'Умри, душо моја, со Филистејците!' И притисна со сета сила, и домот се урна врз кнезовите и врз сиот народ, што беше со него. И умрените, што ги уби при смртта своја, беа повеке, отколку тој што беше умртвил во текот на целиот живот свој.
31. И дојдоа браката негови и целиот негов татков дом, го зедоа, па отидоа и го погребаа ме у Сарај и Естаол, во гробот на татко му Маноj. Тој беше судија над Израилот дваесет години. По Самсона се издигна Емегар, Енановиот син, и уби од другите племиња шестотини души, освен добитокот. И тој го спаси Израилот.

Глава 17

1. Имаше еден човек од Ефремова гора, по име Миха.
2. Тој и рече на мајка си: 'Иљада и сто сикли што ти беа украдени и за кои ти изрече пред мене
проклетство, тоа сребро е кај мене, јас го зедов.' Мајка му рече: 'Багословен нека биде синот
мој пред Господа!'
3. И тој ги врати на мајка си иљадата и сто сикли сребро. И мајка му рече: 'Тоа сребро го
посветив од себеси на Господа за мојот син, за да направи од него идол и излеана статуа, и
така, ти го давам.'
4. Но тој и го врати среброто на мајка си. Мајка му ги зеде двесте сикли сребро и ги даде на
леарот. Тој направи од нив идол и излеа статуа, кој стоеше во домот на Миха.
5. И така, Миха имаше дом Божји. И направи тој ефод и серафим и посвети еден од синовите
свои, за да му биде свештеник.
6. Во тие денови Израилот немаше цар; затоа секој го правеше она што го сметаше за право.
7. Тогаш живееше таму еден младич, левит, од Витлеем Јудејски, од Јудиното колено;
8. тој човек излезе од градот Витлеем Јудејски, од Јудиното колено, за да преживее каде што
ке најде место, и, како што одеше по патот, дојде до Ефремовата гора, до домот на Миха.
9. И Миха го запраша: 'Од каде доа аш?' А тој му одговори: 'Јас сум левит од Витлеем Јудејски и
одам да поживеам, каде што ке најдам место.'
10. А Миха му рече: 'Остани кај мене и биди ми татко и свештеник; ке ти давам годишно по
десет сикли сребро, потребната облека и исхрана.'
11. Левитот се согласи да остане кај оној човек, и тој момок му беше како син.
12. Миха го посвети левитот, и тој момок му беше свештеник и живееше во домот на Миха.
13. И Миха си рече: 'Сега знам дека Господ ке ми прави добро, зашто имам левит свештеник.'

Глава 18

1. Во тие денови Израилот немаше цар; и во тоа време, пак, Дановото племе си бараше дел, каде да се насели, зашто дотогаш не му беше паднал полн дел ме у Израилевите племиња.
2. И Дановите синови испратија од племето свое петмина храбри мажи, од Сарај и Естаол, за да ја прегледаат земјата и да ја испитаат, и им рекоа: 'Одете, проучете ја земјата!' Тие дојдоа во Ефремовата гора близу до домот на Миха и таму нокеваа.
3. Откако влегоа во домот на Миха, тие го познаа гласот на младиот левит, влегоа таму и го прашаа: 'Кој те доведе овде? Што правиш тука? Зошто си овде?'
4. Тој им одговори: 'Тоа и тоа направи за мене Миха, ме најми, и јас сум му свештеник.'
5. Тие тогаш му рекоа: 'Прашај го Господа Бога, за да знаеме, успешен ли ке биде патот наш, по кој сме тргнале.'
6. Свештеникот им рече: 'Одете со мир; пред Господа е патот ваш, по кој сте тргнале.'
7. И петмината мажи тргнаа, и дојдоа во Лаис, и видоа дека тамошниот народ живее спокојно, според обичајот на Сидонците, дека е тих и безгрижен, и дека нема во оваа земја, кој да онеправда во нешто, или да има власт: тој народ живееше далеку од Сидонците и со никого немаа никаква работа.
8. И кога се вратија кај браката свои во Сарај и Естаол, и браката нивни ги запрашаа: 'Што направивте?'
9. Тие одговорија: 'Станете да одиме против нив; ние ја видовме земјата, таа е многу убава. Што, вие се двоумите? Не задржувајте се и тргнете да ја завладееме таа земја;
10. а кога ке тргнете, ке дојдете кај еден народ безгрижен, и таа земја е широка; Бог ја предава во ваши раце; местото е такво, што нема скудности во ништо, што дава земјата.'
11. И тргнаа оттаму, од Сарај и Естаол, шестотини души од Дановото племе вооружени.
12. Тие тргнаа и се улогорија во Киријат-Јарим, во Јудеја. Затоа и до денес она место го нарекуваа Даанов логор. Тој е од онаа страна на Киријат-Јарим.
13. Оттука тие тргнаа кон Ефремовата гора и дојдоа при домот на Миха.
14. И петмината мажи, што беа оделе да ја прегледаат земјата Лаис, им рекоа на браката свои: 'И дали знаете, дека во еден од тие домови има ефод, серафим, идол и излеана статуа? И така, помислете, што да се прави.'
15. И навратија таму и влегоа во домот на младиот левит, во домот на Миха, и го поздравија.
16. А шестотините Данови синови, вооружени, стоеја кај вратата.
17. Петмината, пак души, што беа оделе да ја обиколат земјата, отидоа, влегоа таму, го зедоа идолот и ефодот, серафимот и излеаната статуа. А свештеникот стоеше кај вратите со шестотините души, вооружени.
18. Кога влегоа во домот на Миха и го зедоа идолот, ефодот, серафимот и излеаната статуа, свештеникот им рече: 'Што правите?'
19. Тие му одговорија: 'Молчи, стави ја раката на устата своја и оди со нас и биди ни татко и свештеник; подобро ли ти е да бидеш свештеник во домот на еден човек, отколку да бидеш свештеник во Израилево племе и род?'
20. Свештеникот се зарадува, го зеде ефодот, серафимот и идолот и излеаната статуа, и тргнаа со народот.
21. Тие свртија и тргнаа, и ги испратија напред децата, добитокот и тешките предмети.
22. Кога се оддалечија од домот на Миха, Миха и жителите од домовите, соседи на Миховиот дом, се собраа и се втурнаа по Дановите синови
23. и викаа по Дановите синови. Дановите синови се свртија и му рекоа на Миха: 'Што ти е, што викаш толку?'
24. Миха одговори: 'Ми ги зедоте боговите, што бев ги направил, и свештеникот, и си заминавте. Што ми остана уште, па велите: што ти е?'
25. А Дановите синови му рекоа: 'Да не се чуе гласот твој повеке, инаку, некој од нас, ако се налути, ке те нападне, и ти ке си ја загубиш душата своја и челадта своја.'

26. И Дановите синови тргнаа по патот; а Миха, откако виде, дека се тие посилни од него, си тргна назад и се врати во домот свој.
27. А тие откако го зедоа она, што го беше направил Миха, и свештеникот, кој беше со него, отидоа во Лаис против спокојниот и безгрижен народ, и го поразија со меч, а градот го изгореа со оган.
28. Немаше кој да помогне, зашто тој беше оддалечен од Сидон и со никого немаше работа. Тој гред се нао аше во долината, што е близу до Вет-Рехов. И изградија одново град и се населија во него.
29. откако го нарекоа градот со името Дан, според името на татка си Дан, Израилевиот син; а порано тој град се викаше Лаис.
30. И Дановите синови си поставија идол; Јонатан, пак, синот на Гирсона, Манасиев син, тој и синовите негови, беа свештеници во Дановото племе се до денот, кога жителите на онаа земја се преселија;
31. и си имаа идол, што беше напарвен од Миха, за сето време, додека домот Божји се нао аше во Силом.

Глава 19

1. Во она време, кога Израил немаше цар, живееше еден левит, кој како придојден живееше во гората Ефремова. Тој си зеде наложница од Витлеем Јудејски.
2. Но наложницата негова се скара со него и си отиде во татковиот си дом, во Витлеем Јудејски, и остана таму четири месеци.
3. Мажот и стана и отиде при неа, за да ја замоли и да ја врати назад. Со него беше слугата негов и две ослиња. Таа го воведе во татковиот дом.
4. Тестот негов, татко на таа млада жена, откако го виде, го пресретна радосно и го задржа. И тој престојуваше кај него три дне: јадеа, пиеја и нокеваа таму.
5. На четвртиот ден станаа рано, стана и тој, за да си оди. И таткото на младата жена му рече на зетот свој: 'Поткрепи го срцето свое со залак леб, и потоа ке тргнете.'
6. Тие останаа, и двајцата заедно јадеа и пиеја. И таткото на таа млада жена му рече на тој човек: 'Остани уште една нок, и нека се повесели срцето твое!'
7. Човекот беше станал за да си оди, но тестот го наговори и тој пак нокеваше таму.
8. На петтиот ден изутрината тој стана, за да си оди. А таткото на младата жена рече: 'Поткрепи си го срцето свое со леб, и почекајте, додека да измине денот.' И јадеа двајцата и пиеја.
9. И стана човекот да си оди, тој, наложницата негова и слугата негов. И тестот негов, таткото на младата жена, му рече: 'Еве, почна да се стемнува, нокевајте, ве молам, денот е на свршување, нокевај тука, нека се повесели срцето твое; утре рано ке тргнете на пат, и ке си одиш во домот свој!'
10. Но мажот не се согласи да нокева, стана и тргна; и наближи до Евус, кој е сега Ерусалим; со него двете натоварени ослиња и наложницата со него.
11. Кога беа близу до Евус, денот веке беше изминал. И слугата му рече на господарот свој: 'Да навратиме во овој евусејски град и да нокеваме во него.'
12. Господарот му одговори: 'Не, нема да одиме во град на други племиња, кое не се од синовите Израилеви, а ке појдеме во Гаваон.'
13. И му рече на слугата свој: 'Оди да стигнеме до едно од Гаваонските места и ке нокеваме во Гаваон или во Рама.'
14. Па тргнаа, и одеа, а сонцето зајде близу до Гаваон Ванијаминов.
15. И тие навратија таму, за да одат да нокеваат во Гива. Откако влезе, тој седна на градскиот плоштад, но никој не ги покани во домот свој да нокеваат.
16. И ете, еден старец се вракаше вечерта од полска работа; тој беше родум од Ефремовата гора и живееше како придојден во Гаваон. Жителите, пак, од тоа место беа Венијаминоти синови.
17. Кога ги грена очите, тој виде на градскиот плоштад патник. И старецот запраша: 'Каде одиш и од каде доа аш?'
18. Тој му одговори: 'Од Витлеем Јудејски одиме за Ефремовата гора, од каде што сум јас; отидов во Витлеем Јудејски, а сега одам кон домот Господов; и никој не ме поканува во домот свој;
19. си имаме и слама и храна за ослите свои; исто така и леб и вино за мене и за твојата робинка и за овој слуга има кај твоите слуги, од ништо немаме потреба.'
20. Старецот му рече: 'Биди спокоен; каква потреба и да имаш, јас ке се погрижам, само на улица не нокевај.'
21. И го одведе во домот свој и им даде храна на ослите негови, а самите тие се измија нозете свои, јадеа и пиеја.
22. Откако го развеселија срцето свое, ете, градските жители, развратници, ја опколија куката, зачукаа на вратата и му говореа на старецот, стопанот на куката: 'Изведи го човекот, кој влезе во куката твоја, за да го запознаеме.'
23. Стопанот на куката излезе пред нив и им рече: 'Не, брака мои, не правете зло, кога тој

човек влегол во куката моја, не правете го тоа безумие;
24. еве, јас имам керка мома, а тој има наложница ке ги изведам осраметете ги и правете со нив, се што ви е угодно; а со тој човек не правете го тоа безумие.'
25. Но тие на сакаа да го слушаат. Тогаш мажот ја зеде наложницата своја и ја изведе при нив на улица. Тие ја познаа и ја злоставуваа цела нок до утрината. И ја пуштија во зората.
26. И во зората дојде жената, падна пред кукната врата на човекот, кај кого беше господарот нејзин, и лежеше до осамнување.
27. Господарот нејзин стана утрината, ја отвори кукната врата и излезе, за да тргне на пат; и ете, наложницата негова лежи пред кукната врата, со рацете на прагот.
28. Тој и рече: 'Стани, ке одиме!' Но одговор немаше зашто таа беше умрела. Тој ја стави на ослето, стана и замина за местото свое.
29. Кога дојде во домот свој, зеде нож, ја фати наложницата своја, ја пресече по деловите на телото нејзино на дванаесет делови и испрати по сите предели Израилеви.
30. Секој, што го виде тоа, велеше: 'Не станало и не се видело такво нешто од денот, кога Израилевите синови изегоа од Египетската земја до денес. И им рече на лу ето што ги испрати: 'Така зборувајте по сиот Израил: станало ли такво нешто? Размислете за тоа, посоветувајте се и кажете!'

Глава 20

1. Тогаш излегоа сите синови Израилеви, и се собраа целото општество како еден човек од Дан до Вирсавија и Галадската земја пред Господа во Масифа.
2. Се собраа пред Господа старешините на сиот народ, сите племиња Израилеви, во собранието на народот Божји, - четиристотини иљади пешаци мечоносци.
3. А Венијаминовите синови слушнаа дека синовите Израилеви дошле во Масифа. И Израилевите синови запрашаа: 'Кажете, како станало тоа зло?'
4. Левитот, мажот на убавата жена, одговори и рече: 'Дојдов со наложницата своја да нокевам во Гаваон Венијаминов;
5. и се кренаа против мене жителите на Гаваон и преку нокта ја опколија заради мене куката; мене сакаа да ме убијат, а наложницата моја ја измачија, откако ја познаа, така што таа умре;
6. јас ја зедов наложницата своја, на парчиња ја исеков и ја испратив по сите области на владеењето Израилево, бидејки тие извршија назаконито и срамно дело во Израилот;
7. ете, сите вие, синови Израилеви, разгледајте го тоа дело и решете тука.'
8. И се крена сиот народ како еден човек и рече: 'Никој нема да отиде во шаторот свој и никој нема да се врати во домот свој.
9. А еве што ке направиме сега со Гаваон: да фрлиме жреб за него!
10. Ке земеме по десет души на сто од сите Израилеви племиња, по сто на иљада и по иљада на десет иљади, за да донесат храна за народот, кој што ке тргне против Гаваон Венијаминов, за да го казни за срамот, што го беше извршил против Израилот.'
11. И сите Израилци се собраа против градот еднодушно, како еден човек.
12. И Израилиевите племиња испратија лу е да му кажат по целото Венијаминово племе: 'Каква гнасотија е извршена кај вас!
13. А сега, предајте ги тие развратници, што се во Гаваон; ние ке ги убиеме и ке го искорениме злото од Израилот.' Но синовите Венијаминови не сакаа да го послушаат гласот на браката свои, синовите Израилеви.
14. И синовите Венијаминови од градовите се собраа во Гаваон, за да тргнат во војна против синовите Израилеви.
15. А во оној ден Венијаминовите синови, што се беа собрале од градовите свои, се изброија дваесет и шест иљади души мечоносци; освен тоа од жителите на Гаваон имаше одбрани на број седумстотини.
16. Во сиот тој народ имаше седумстотини души одбрани, кои беа леваци, и сите тие фрлаа камења со пракки, без да погрешат.
17. А Израилците, без Венијаминовите синови, броеја четиристотини иљади души мечоносци; сите тие беа способни за војна.
18. Тогаш Израилевите синови станаа и отидоа во Божјиот дом и го запрашаа Бога: 'Кој од нас прв ке тргне во бој против синовите Венијаминови?' И Господ одговори: 'Јуда прв нека оди.'
19. Утрината станаа синовите Израилеви и се распоредија на табори пред Гава;
20. и излегоа Израилците за борба против Венијамина и се наредија синовите Израилеви во бојни редови близу до Гава.
21. Тогаш излегоа од Гава и синовите Венијаминови и во тој ден убија дваесет и две иљади Израилци.
22. Но, народот израилски се совзеде и пак се нареди за борба на истото место, каде што беше претходниот ден.
23. И отидоа синовите израилеви пред Господа и плачеа до вечерта, па Го прашаа Господ: 'Да влеземе ли пак во борба со синовите на нашиот брат Венијамин?' Господ им рече: 'Одете против него!'
24. И вториот ден Израилевите синови пак настапија против синовите на Венијамина.
25. Во тој ден излезе и Венијамин од Гава и беа убиени од синовите Израилеви уште осумнаесет иљади души мечоносци.

26. Тогаш сите Израилеви синови и сиот народ тргнаа и дојдоа во Божјиот дом, па седеа таму и плачеа пред Господа, постеа целот ден до вечерта и Му принесоа на Бога сепалиници и мирни жртви.
27. И Го прашаа синовите Израилеви Господа (во тоа време Ковчегот на зеветот беше таму
28. и Финес, синот Елеазаров, син Аронов, стоеше пред него): 'Дали да излеземе пак против нашиот брат Венијамин или не?' Господ им рече: 'Одете! Утре ке го предадам во вашите раце.'
29. Тогаш Израил постави заседа околу Гава.
30. На третиот ден излегоа синовите Израилеви против синовите на Венијамина, па, како и порано, се наредија за борба против Гава.
31. Венијаминовите синови излегоа против народот и се оддалечија од градот, и почнаа, како порано, да убиваа од народот по патиштата, од кои еден води за Ветил, а друг во Гаваон, преку полето, и убија до триесет души Израилци.
32. И Венијаминовите синови си рекоа: 'Тие па аат пред нас како порано.' А Израилевите синови си рекоа: 'Да бегаме од нив и да ги одвлечеме од градот на патот.'
33. Тогаш сите Израилци станаа од местото свое и се наредија во Ваал-Тамара. А Израилевата заседа се спушти од местото свое од западната страна на Гаваон.
34. И се собраа против Гаваон десет иљади души одбрани од сиот Израил, и почна жестока борба. Но Венијаминовите синови не знаеја дека ке ги снајде зло,
35. и Господ го разби Венијамина пред Израилот, и Израилците кутнаа во тој ден од синовите Венијаминови дваесет и пет иљади и сто души вооружени со мечеви.
36. Кога Венијаминовите синови помислија, дека ги поразиле Израилците, кои им направија место, бидејки Израилецот се надеваше на заседата, што ја беа поставле близу до Гаваон,
37. заседата побрза и се спушти кон Гаваон, - влезе и го порази со меч целиот град.
38. Израилците си беа договориле знак со заседата, да нападнат, кога ке се крене дим од градот.
39. И така, кога Израилците отстапија од местото на борбата, и Венијамин почна да поразува и кутна до тиесет души Израилци, велејки: 'пак па аат пред нас, како и во поранешните судири',
40. тогаш почна да се издига од градот дим како столб. Венијамин погледна назад, и ете, од целиот град излгува дим кон небото.
41. И Израилците се вратија, а Венијамин се уплаши, бидејки виде дека го снашло зло.
42. И избегаа синовите Венијаминови од Израилците по патот кон пустињата, но беа следени со колеж, и оние, што излегуваа од градовите, таму ги убиваа;
43. го опколија Венијамина и го гонеа без почивка од Нуа и го поразуваа до самата источна страна на Гаваон.
44. И од синовите Венијаминови паднаа осумнаесет иљади души, силни мажи.
45. А од другите што се свртија и се спуштија спрема пустињата, кон карпата Римон, насобраа пет иљади и ги гонеа дури до Гадам, и од нив убија две иљади души.
46. Сите, пак, Венијаминови синови, паднати тој ден, беа дваесет и пет иљади души, вооружени со мечеви, сите беа силни мажи.
47. Другите се свртија и избегаа во камената пустиња, при Римон, четиристотини души и таму останаа четири месеци.
48. А Израилците се вратија кај синовите Венијаминови и ги поразија со меч - и лу ето од градот, и добитокот, и се, што се срекаваше во сите градови, и со оган ги изгореа сите градови што се нао аа по патот.

Глава 21

1. И се заколнаа Израилците во Масифа, велејки: 'Никој од нас да не ја дава керка си на Ванијаминовите синови за жена!'
2. И народот дојде во Божјиот дом, седеа таму до вечерта пред Бога, кренаа голем писок, силно плачеа
3. и велеа: 'Господи, Боже Израилев, зошто се случи ова во Израилот, па сега изчезна едно племе во Израилот.'
4. На другиот ден народот порани, и подигна таму жртвеник и принесоа жртви сепаленици, и мирни жртви.
5. И рекоа синовите Изарилеви: 'Кој уште од сите Израилеви племиња не дошал на собранието пред Господа?' Зашто голама клетва беше изречена пред оние, што не беа дошле пред Господа во Масифа, и беше речено, дека тие ке бидат предадени на смрт.
6. И синовите Израилеви се смилија над братот свој Венијамина и рекоа: 'Денес се истреби едно племе од Израилот;
7. што да направиме за жени на другите од нив, кога се заколнавме во Господа дека нема да им ги даваме керките свои за жени?'
8. И рекоа: 'Нема ли некое од племињата Израилеви, кое не е дојдено пред Господа во Масифа?' И се покажа дека од Јавис Галадски никој не дошол на собранието пред Господа.
9. Го прегледаа народот, и ете, немаше ни еден од жителите на Јавис Галадски.
10. И општеството испрати таму дванаесет иљади души, и им дадоа заповед, велејки: 'Одете и поразете ги со меч жителите на Јавис Галадски, и жените и децата;
11. и еве што ке направите: 'Секој маж и секоја жена, што познава машко легло, убијте ги, а момите оставете ги живи.' Така и направија.
12. И најдоа ме у жителите на Јавис Галадски четиристотини моми, што не познале машко легло, и ги доведоа во логорот при Силом, кој е во Хананската земја.
13. Тогаш целото општество испрати лу е да разговараат со синовите Венијаминови, кои беа кај карпата Римон, и им објави мир.
14. И така Венијаминовите синови се вратија и им дадоа жени, што беа останале живи од жените на Јавис Галадски; но излезе, дека тие на стасуваат.
15. А на народот, пак, му беше жал за Венијамина, поради тоа што Господ не ја зачува целината на Израилевите племиња.
16. И си рекоа старешините народни: 'Што да направиме за жени на другите синови, бидејки жените кај Венијамина се истребени?'
17. И рекоа: 'Наследството на Венијамина нека остане, за да не се сотре едно племе од Израилот.
18. Но ние не можеме да им дадеме жени од нашите керки, зашто синовите Израилеви се заколнаа, велејки: 'Проклет да биде оној, што ке му даде жена на Венијамина!'
19. И рекоа: 'Ете, секоја година е празник Господов во Силом, на север од Ветил и на исток од патот, кој води од Ветил за Сихем, и на југ од Левона.'
20. И им заповедаа на синовите Венијаминови, велејки: 'Одете и сокријте се во лозјата,
21. и гледајте, кога ке излезат силомските моми да играат оро, излезете од лозјата и грабнете си секој жена за себе од силомските моми, па одете си во земјата Венијаминова;
22. а кога ке дојдат татковците, или браката нивни да се поплачат кај нас, ние ке им речеме: 'Простете ни за нив, бидејки ние не зедовме за секого од нив жена во време на војната, и вие не им дадовте; сега вие сте виновни.'
23. Така и направија синовите Венијаминови, и зедоа според бројот свој жени од оние, што беа во орото и кои ги одзедоа, па тргнаа и се вратија во делот свој, и изградија градови и заживееја во нив.
24. Во исто време Израилците се разотидоа оттаму секој во родот свој и во племето свое, а оттаму отиде секој во делот свој.

25. Во тие денови Израил немаше цар: секој го правеше она, што му се чинеше дека е право.

Рут

Глава 1

1. Во она време, кога управуваа судиите, настана глад во земјата. И еден човек од Витлеем Јудејски отиде да живее во Моавските полиња, заедно со жена си и двајцата синови свои.
2. Името на тој човек му беше Елимелех, името на жена му - Ноемина, а двајцата синови негови се викаа Малон и Хелеон: тие беа од Еуфрат, од Витлеем Јудејски. И дојдоа во Моавските полиња и останаа таму.
3. Елимелех, мажот на Ноемина, умре, и таа остана со двајцата синови свои.
4. Тие си зедоа за жени Моавки, - на едната името и беше Орфа, а на другата - Рут; и живееја таму околу десет години.
5. Но подоцна и обајцата синови нејзини, Малон и Хелеон, умреа, и остана таа жена без двајцата синови свои и без мажот свој.
6. Тогаш таа се крена со снаите свои и се врати од Моавските полиња, бидејки беше чула во Моавските полиња дека Бог го посетил Својот народ и му дал леб.
7. И таа тргна од она место, каде што живееше, и двете снаи нејзини со неа. Кога одеа по патот, вракајки се во Јудејската земја,
8. Ноемин им рече на двете свои снаи: 'Одете и вратете се секоја во татковата си кука; Господ нека ви направи милост, според тоа како постапувавте со покојните и со мене!
9. Нека ви даде Господ да најдете прибежиште секоја во куката на својот маж!' И ги бакна. Но тие повикаа, и заплакаа, па
10. и рекоа: 'Не, ние ке се вратиме со тебе при твојот народ.'
11. А Ноемин рече: 'Вратете се, керки мои; зошто ке доа ате со мене? Зар уште имам во утробата своја синови, кои би ви станале мажи?
12. Вратете се, керки мои, одете си, бидејки сум веке стара и не можам да се омажам; па и да речев: ‘уште имам надеж‘, и дури оваа нок да се омажам и подоцна да родам синови,
13. ке можете ли да чекате, додека да пораснат? Можете ли да се одржите да не се омажите? Не, керки мои, многу ми е жал за вас, зашто раката Господова ме порази.'
14. Тие повикаа и пак заплакаа. И Орфа се прости со свекрвата своја и се врати при родот свој, а Рут остана со неа.
15. Ноемина и рече на Рут: 'Ете, јатрвата ти се врати при родот свој и при боговите свои; врати се и ти по јатрвата своја.'
16. Но Рут одговори: 'Не ме принудувај да те оставам и да се одделам од тебе; но каде што ке одиш ти, таму ке дојдам и јас, и каде ке живееш ти, таму ке живем и јас; твојот народ ке биде мој народ, и твојот Бог - мој Бог;
17. и каде што ке умреш ти, таму и јас ке умрам и ке бидам погребана; 'Господ нека ми го направи тоа и нешто повеше нека додаде; само смртта ке ме раздели од тебе.'
18. Ноемина, откако виде дека таа цврсто е решена да отиде со неа, престана да и зборува.
19. И одеа тие двете, додека стигнаа до Витлеем, целиот град се раздвижи поради нив, и рекоа: ‘Ова ли е Ноемина?‘
20. Таа им рече: 'Не ме викајте Ноемина, викајте ме Мара, зашто Седржителот ми испрати голема Горчевина.
21. Јас излегов одовде заможна, а Господ ме врати со празни раце: зошто да ме викате Ноемин, кога Господ ме принуди да страдам, и Седржителот ми испрати несрека?'
22. И Ноемина се врати, а заедно со неа и снаата нејзина, Моавката Рут, кој дојде од Моавските полиња; тие пристигнаа во Витлеем, кога беше почнала јачменовата жетва.

Глава 2

1. Ноемин имаше роднина по мажот, човек многу виден, од племето на Елимелех, по име Воз.
2. И Моавката Рут и рече на Ноемина: 'Ќе тргнам по нивјата и ке собирам класје по оној во чии очи ке најдам наклоност (љубов).' Таа и одговори: 'Оди керко.'
3. Таа отиде и почна да бере на една нива класје по жетварите. И се покажа дека таа нива му припа а на Воз, којшто беше од племето Елимелехово.
4. И ете, Воз дојде од Витлеем и им рече на жетварите: 'Господ со вас.' Тие му одговорија: 'Нека те благослови Господ!'
5. И Воз го запраша слугата свој, надгледувачот на жетварите: 'Чија е онаа млада жена?'
6. Слугата, надзорникот над жетварите, одговори и рече: 'Таа млада жена е Моавка, дошла со Ноемина од Моавските полиња;
7. таа ни рече: ‘Оставете ме да берам и да собирам ме у снопјата по жетварите‘; дојде и остана тука од утринаата до сега; таа малку останува дома.'
8. И Воз и рече на Рут: 'Слушај, керко моја, не оди да собираш на друга нива и не си оди оттука, туку остани со моите слугинки;
9. гледај на која нива тие жнеат, и оди со нив; ете јас им заповедав на слугите свои да не ти пречат; кога ке ожедниш, оди кај садовите и пиј, од каде што црпат слугите мои.'
10. Таа падна ничкум, се поклони до земја и му рече: 'Со што се здобив пред очите твои со милост, па ме примаш, иако сум ту инка?'
11. Воз и одговори и и рече: 'Ми рекоа за се што си направила за свекрвата своја по смртта на мажот твој, дека си оставила татко, мајка и татковина и си дошла ме у народ кој не си го познавала до вчера и завчера;
12. Господ нека ти возврати за твоето дело, и да добиеш полна награда од Господа, Бог Израилев, при Кого си дошла, за да се успокоиш под Неговите крилја!'
13. Таа одговори: 'Можеби ке најдам милост пред очите твои, господару мој! Ти ме утеши и и зборуваше од срцето на робинката своја, макар и да не вредам ни колку една слугинка твоја.'
14. И и рече Воз: 'Кога ке приближи времето за јадење, дојди тука и јади леб и топи го залакот свој во оцет.' И таа седна при жетварите. Тој и даде леб; таа јадеше, се најаде, и уште и остана.
15. И стана да собира класје. Воз им заповеда на слугите и рече: 'Нека собира и ме у снопјата, и не ја навредувајте;
16. дури и од снопјата потфрлувајте и оставајте; нека собира и немојте да ја прекорувате.'
17. Така собираше таа на нивата до вечерта и го исчука собраното и тоа даде близу една ефа јачман.
18. Откако го зеде тоа, отиде во градот, и свекрва и виде, колку беше собрала таа. И го извади Рут од пазувите свои и и го даде она, што и беше останало, откако се беше најала.
19. И и рече свекрвата: 'Каде береше денес и каде работеше? Да биде благословен оној, што те примил!' Рут и кажа на свекрвата своја, кај кого работела, и рече: 'Човекот, кај кого денес работев, се вика Воз.'
20. И и рече Ноемин на снаата своја: 'Нека е благословен од Господа, поради тоа што не ги лиши од милоста своја ниту живите, ниту умрените!' И и рече Ноемин: 'Тој човек ни е близок; тој е наш роднина.'
21. Моавката Рут и кажа на свекрвата своја: 'Тој дури ми рече - остани при слугинките мои, додека да ја завршат жетвата моја.'
22. И и рече Номин на снаата Рут: 'Добро е, керко, тоа што си одела со слугинките негови, и нема да те оскрбуваа на друга нива.'
23. Така се приклучи таа кон Возовите слугинки и береше класје, додека заврши јачменовата жетва и пченичната жетва, и живееше при свекрвата своја.

Глава 3

1. И и рече Ноемина, свекрвата нејзина: 'Ќерко, нели бива да живееш подобро!
2. Ете, Воз, со чии слугинки беше ти, е наш роднина, оваа нок тој го вее јачменот на гумното;
3. затоа изми се, намачкај се, промени се и оди на гумното, но не му се покажувај, додека заврши со јадењето и пиењето;
4. а кога ке легна да спие, дознај го местото, каде ке легне; тогаш оди, откри го откај нозете негови и легни; тој ке ти каже што да правиш.'
5. Рут и рече: 'Ќе направам се што ми кажа.'
6. И отиде на гумното и направи се онака, како што и порача свекрвата нејзина.
7. Воз се најаде и се напи, и го развесели срцето свое, и отиде, па легна да спие до стогот. И таа отиде полека, го откри од кај незоте негови и легна.
8. На полнок тој се тргна, се обѕрна, а тоа при нозете негови лежи жена.
9. И и рече Воз: 'Која си ти?' Таа одговори: 'Јас сум Рут, твоја робинка, рашири го крилото свое над својата робинка, зашто си ми роднина.'
10. Воз и рече: 'Благословена да си од Господа, керко! Таа своја последна милост ти ја изврши подобро од првата, кога не отиде да бараш момци, бедни или богати;
11. затоа не плаши се, керко! Јас ке направам за тебе се, што кажа ти; оти при секоја порта кај мојот народ знаат, дека ти се чесна жена;
12. иако е точно, дека сум ти роднина, но има друг роднина, поблизок од мене;
13. нокевај таа нок; а утре, ако тој те земе, добро, нека те земе, ако, пак, не те земе, јас ке те земам; жив е Господ! Спи до утре!'
14. И преспа таа при нозете негови до утрината и стана, пред да можат да се распознаа еден со друг, зашто Воз рече да не се знае дека доа ала жена на гумното.
15. И и рече: 'Дај ја наметката што е на тебе, подржи ја.' Таа ја држеше, и тој и измери шест мери јачмен, ја натовари и си отиде во градот.
16. А Рут дојде кај свекрва и. Таа ја запраша: 'Што направи, керко?' Таа и раскажа се, што беше направил оној човек за неа.
17. Таа рече: 'Тој ми ги даде овие шест мери јачмен и ми рече: 'Не оди со празни раце при свекрвата своја!'
18. Таа и рече: 'Почекај, керко, додека да дознаеше, како ке се сврши работата; зашто тој човек нема да се успокои, додека не ја сврши денас таа работа.'

Глава 4

1. Воз излезе пред градските порти и таму седна. И ете, минува оној роднина, за кого говореше Воз. И му рече: 'Наврати и седни тука!' Тој наврати и седна.
2. Воз повика десетина од граските старешини и рече: 'Седнете тука!' И тие седнаа.
3. И Воз му рече на роднината: 'Ноемин, која што се врати од моавските полиња, го продава делот од нивата, која му припа а на братот наш Елимелех;
4. јас решив да ти јавам и да ти кажам: 'Купи го пред седнативе тука и пред старешините на мојот народ ако сакаш да го откупиш, откупи го; ако, пак, не решиш да го откупиш, кажи ми, за да знам, зашто, освен тебе, нема кој да го откупи, а по тебе сум јас.' Тој одговори: 'Јас ке го откупам.'
5. Воз рече: 'Штом ја откупуваш нивата од Ноемин, треба да купиш и од Моавката Рут, жена на умрениот, и неа треба да ја земеш, за да го востановиш името на умрениот во наследството негово.'
6. А оној роднина одговори: 'Јас не можам да ја откупам, за да не си го растурам моето наследство; земја ја ти, зашто јас не можам да ја земам.'
7. Порано кај Израилот, кога се откупуваше и разменуваше нешто, заради потврдување постоеше обичај: едниот ја собуваше обувката своја и му ја даваше на другиот, кој го примаше правото на родство, и тоа служеше како сведоштво кај Израилот.
8. И оној роднина му рече на Воз: 'Откупи го ти!' И ја собу обувката своја, и му ја даде.
9. И Воз им кажа на старешините и на целиот народ: 'Вие сте сега сведоци, дека јас го купувам од Ноемин сето Елимелехово и сето Хелеоново и Малоново наследство;
10. исто така ја земам за жена и Моавката Рут, Малоновата жена, за да го востановам името на умрениот во делот негов, та да не исчезне името на умрениот ме у браката негови и племето негово; вие сте ми денес сведоци за тоа.'
11. И сиот народ, што беше при градските порти, и старешините рекоа: 'Ние сме сведоци. Нека даде Господ, жената, која влегува во куката твоја, да биде како Рахил и Лија, кои и обете го издигнаа домот Израилев; збогатувај се во Еуфрат, и нека се слави името твое во Витлеем;
12. и домот твој да биде како домот на Фареса, кого Тамар му го роди на Јуда од семето, кое Господ ке ти го даде од таа млада жена.'
13. И Воз ја зеде Рут, и таа му стана жена. И тој влезе при неа, и Господ и даде, та зачна и роди син.
14. И и велеа жените на Ноемин: 'Нека е благословен Господ, зашто не те остави денес без наследник! И нека биде славно името негово во Израилот.
15. Тој ке ти биде утеха и прехрана во старите денови твои, зашто е рожба на снаата твоја, која те сака и кој ти вреди повеке од седум синови.'
16. И Ноемин го зеде детето и го носеше во прегратките свои и му беше негувателка.
17. Сосетките му дадоа име, велејки: 'На Ноемин и се роди син', и го нарекоа Овид. Тој е татко на Јесеја, таткото Давидов.
18. И еве го родот Фаресов: Фарес го роди Есрома;
19. Есром го роди Арама; Арам го роди Аминадава;
20. Аминадав го роди Наасона; Наасон го роди Салмона;
21. Салмон го роди Воза; Воз го роди Овида;
22. Овид го роди Јесеја; Јесеј го роди Давида.

# 1 Самуил

Глава 1

1. Имаше еден човек од Арматем-Сиф, од Ефремовата гора, името му беше Елкана, син Јеремилов, син Иллин, син на Такел, во Насив од Армател, од горага на Ефремовците;
2. тој имаше две жени: едната се викаше Ана, а другата Фенана; Фенана имаше деца, Ана, пак, немаше деца.
3. И во определени денови тој човек одеше од градот свој за да Му се поклони и да Му принесе жртва на Господ Саваот во Силом; таму беше Илиј и двајцата синови негови Офни и Финес, свештеници на Господа.
4. А во денот, кога Елкана принесуваше жртва, и даваше на жената своја Фенана и на сите нејзини синови и керки, по еден дар,
5. а на Ана, пак, и даваше посебен дар, зашто таа немаше деца, а и ја сакаше Ана повеке од Фенана, иако Господ и ја беше затворил утробата нејзина.
6. Соперничката нејзина многу ја огорчуваше, па ја тераше да негодува, поради тоа што Господ и ја беше затворил утробата нејзина.
7. Така станувате секоја година, кога Елкана одеше во домот Господов: онаа ја огорчуваше, а оваа плачеше и не јадеше.
8. И и рече Елкана, мажот нејзин: 'Ано!' Таа му одговори: 'Еве, ме господару.' И и рече: 'Зошто плачеш и зошто не јадеш, и поради што е нажалено срцето твое? Не чинам ли јас за тебе повеке од десет синови?'
9. Откако јадеа и пиеја во Силом, Ана стана и застана пред Господа. А свештеникот Илиј седеше тогаш на стол при влезот во храмот Господов.
10. Таа тажеше во душата своја и Му се молеше на Господа и горко плачеше,
11. па се заветува, велејки: 'Господи, семокни Боже Саваоте! Ако погледнаш милостиво кон смиреноста на слугинката Твоја и се сетиш за мене, и не ја заборавиш слугинката Своја и и дадеш на слугинката Своја дете од машки пол, јас ке Му го дадам на Господа за сите денови на животот негов; и вино и сикер нема да пие и брич нема да се допре до главата негова.'
12. Додека таа се молеше долго пред Господа, Илиј ја гледаше во устата;
13. и бидејки Ана говореше во срцето свое, а устата нејзина само се мрдаше, и гласот нејзин не се слушаша, Илиј помисли дека и пијана.
14. И и рече: 'До кога ке бидеш пијана? Истрезни се од виното свое и истави се од лицето Господово.'
15. Ана одговори и рече: 'Не, господару мој; јас сум жена, која душено страда; вино и сикер не сум пила, а ја изливам душата своја пред Господа;
16. не ја сметај слугинката своја за лоша жена, зашто поради големата жалост и поради тагата своја јас говорев досега.'
17. Илиј одговори и рече: 'Оди си со мир, и Бог Израилев нека ја исполни молбата твоја, за која Го молеше.'
18. А таа одговори: 'Можеби слугинката твоја ке најде милост во твоите очи.' И таа тргна по патот свој, и јадеше, и лицето нејзино веке не беше тажно, како пред тоа.
19. И утредента тие станаа, се поклонија пред Господа и се вратија, па отидоа во домот свој во Арматем. И Елкана ја позна Ана, жената своја, и Господ си спомна за неа.
20. По извесно време Ана зачна, роди син и му даде има Самуил, бидејки велеше таа од Господа Бога Саваота го измолив.
21. И отиде мажот нејзин Елкана и целата челад негова во Силом, за да Му ја принесе годишната жртва на Господа и заветите свои и сите десетоци од земјата своја.
22. Но Ана не отиде со него, велејки му на мажот свој: 'Кога младенчето ке биде одбиено од градите и ке порасне, тогаш ке го одведам, и тој ке се јави пред Господа и ке остане таму засекогаш.
23. И и рече Елкана, мажот нејзин: 'Прави, она што ти е угодно; остани додека го одбиеш; само Господ да го утврди зборот што излегол од тојата уста.' И остана жена му и го хранеше синот,

додека го исхрани.
24. А кога го одби, отиде со него во Силом, земајки со себе три телиња и лебови и една ефа брашно и мев со вино, па дојде во домот Господов во Силом, и момчето со нив; а момчето беше уште дете.
25. И го доведоа детето пред лицето на Господа; и татко му принесе жртва, каква што Му принесуваше на Господа во определините дни. И го приведоа момчето и заклаа теле; и мајка му Ана го доведе момчето при Илија,
26. и рече: 'О, господару мој, да живее душата твоја, господару мој! Јас сум онаа жена, која стоеше тука при тебе и Му се молеше на Господа;
27. за ова дете се молев, и Господ ја исполни молбата моја, за која Му се молев;
28. и јас го предавам сега на Господа за сите денови на животот негов - нека Му служи на Господа.' И таа Му се поклони таму на Господа.

Глава 2

1. И се молеше Ана и велеше: 'Ми се зарадува срцето мое во Господа; се воздигна рогот мој преку мојот Бог; широко се отвори устата моја против моите непријатели, зашто се радувам поради спасението од Тебе.
2. Никој не е така свет како Господ; зашто нема друг, освен Тебе; и нема тврдина како нашиот Бог.
3. Не продолжувајте да говорите гордо; зборови охоли да не излегуваат од устата ваша; зашто Господ е Бог на знењето, и делата Негови се обмислени.
4. Лакот на силните се прекршува, а слабите со сила се здобиваат;
5. ситите работат за леб, а гладните почиваат; дури неплодната ра а седумпати, а многудетната изнемоштува.
6. Господ умртвува и оживува, кутнува наземи и крева;
7. Господ го прави човекот сиромав и богат, го понижува и го воздига.
8. Од прав го подига бедниот, од кал го крева сиромавиот, ставајки го да седне со големците, и им го дава во наследство престолот на славата; зашто во Господа се основите на земјава, и Он врз нив ја утврди вселената.
9. Ги услишува молитвите на молителот и ги благословува деновите на праведникот, зашто не преку сила човекот е јак.
10. Господ ке ги сотре оние што се препираат со Него; од небесата ке згрми на нив. Господ е свет. Да не се фали мудриот со мудроста своја, да не се фали силниот со силата своја, да не се фали богатиот со богатството свое, туку секој, кој сака да се фали, нека се фали дека Го разбира и Го знае Господа. Господ ке ги суди краиштата на земјата, ке му даде сила на Својот цар и ке го воздигне рогот на помазаникот Свој.'
11. И го оставија таму Самуила пред Господа. Елкана замина за Арматем во својот дом, а момчето остана да Му служи на Господа при свештеникот Илија.
12. А синовите на Илија беа лоши лу е; тие не Го познаваа Господа
13. и долгот на свештеникот кон народот. Кога некој принесуваше жртва, слугата на свештеникот доа аше со виљушката во раката, додека се вареше месото,
14. и ја спушташе во котелот, или во котлето, или во тавата, или во грнето, и што ке извади виљушката, тоа го земаше за себе свештеникот. Така постапуваа тие со сите Израилци, што доа аа таму во Силом.
15. Дури и пред да изгори лојот, слугата на свешетеникот доа аше и му велеше на оној, што принесуваше жртва: 'Дај месо за печење на свештеникот; тој нема да земе од тебе варено месо, ами дај сурово.'
16. И ако некој му речеше: 'Прво нека изгори лојот, како што е редот, и после земи си, колу што ти сака душата', тој керечеше: 'Не, дај сега, ако не, насила ке земам.'
17. И гревот на тие младичи беше многу голем пред Господа, зашто тие земаа од жртвопринесувањето на Господа.
18. А момчето Самуил служеше пред Господа, облекувајки ефод од висон.
19. Горната облека негова му ја правеше мајка му и му ја донесуваше секоја година, кога доа аше со мажот свој, за да принесе годишна жртва.
20. Илиј го благослови Елкана и жена му и рече: 'Да ти даде Господ деца од оваа жена како замена за она, кое ти Му го подари на Господа!' И заминаа во своето место.
21. И ја посети Господ Ана, и таа зачна и роди уште три сина и две керки; а момчето Самуил растеше при Господа.
22. Илиј, пак, беше многу стар и слушаше се, што правеа синовите негови со сите Израилци, и дека тие спијат со жените, кои се собираа при влезот во скинијата на сведоштвото.
23. И им рече: 'Зошто правите такви работи, зашто слушам лоши зборови за вас од сиот народ (Господов).
24. Не, деца мои, не се добри гласовите што ги слушам за вас; немојте да правите така,

бидејки не се добри гласовите, што ги слушам; вие го развратувате народот Господов;
25. ако човек згреши против човек, ке се помолат на Бога за него; но ако човек згреши против Господа, кој ке биде тој што ке моли за него?' Но тие не го послушаа гласот на таткото свој, бидејки Господ веке беше решил да ги осуди на смрт.
26. А момчето Самуил се повеке и повеке растеше и напредуваше во наклоност пред Господа и пред лу ето.
27. И дојде еден Божји човек при Илија и му рече: 'Вака вели Господ: Нели се открив во татковиот ти дом, кога тие уште беа во Египет, во домот на Фараонот?
28. И ме у сите племиња Израилеви нели го избрав него за свештеник, за да пристапува пред Мојот жртвеник, да кади тамјан, да носи ефод пред Мене? Нели му ги дадов Јас на татковиот ти дом сите жртви сепаленици од синовите Израилеви?
29. А вие зошто ги газите со нозе жртвите Мои и лебните приноси Мои, кои заповедав да се принеуваат пред Мене, и зошто ги претпочиташ синовите свои повеке од Мене, гоејки се од првините на сите приноси од Мојот народ Израилот?
30. Затоа Господ Бог Израилев вели вака: ‘Јас бев рекол тогаш - домот твој и домот на татко ти ке одат пред лицето Мое за секогаш; но сега Господ вели - да не биде така, зашто Јас ке ги прославам оние, кои Мене Ме прославуваат, а оние, што Ме обеславуваат, ке бидат посрамени.
31. Ете, настапуваат дни, во кои ке ја пресечам мишката твоја и мишката на таковиот ти дом, така што никогаш да нема старец во домот твој;
32. и ти ке ја видиш несреката во домот Мој, при се што Господ му прави добрини на Израилот, и во сите денови нема да има старец во домот твој.
33. Јас нема да ги отстранам сите твои од жртеникот Свој, та да ги изнемошувам очите твои и да ти ја измачувам душата твоја; но целото потомство на домот твој ке умира на средна возраст.
34. И еве ти знак, што ке стане со двајцата синови твои Офни и Финес: и обајцата ке умрат во еден ден.
35. И ке Си поставам верен свештеник; тој ке постапува по срцето Мое и според душата Моја; и неговиот дом ке го направам цврст, и тој ке оди пред Мојот помазаник во сите денови;
36. и секој, што ке остане од домот твој, ке дојде да му се клања за сребрена пара и парче леб и ке рече: 'Запиши ме за некоја левитска должност, за да имам прехрана.'

Глава 3

1. Момчето Самуил Му служеше на Господа при Илиј; словото Господово беше ретко во тие денови и немаше виденија.
2. И се случи во она време, кога Илиј лежеше на местото свое, - очите негови беа почнале да се премрежуваат, и тој не можеше да гледа, -
3. и светилникот Божји уште не беше угаснал, а Самуил лежеше во храмот Господов, каде што беше ковчегот Божји;
4. Господ повика кон Самуила: 'Самуиле! Самуиле!' Тој одговори: 'Еве ме!'
5. И притрча при Илиј и рече: 'Еве ме! Ти ме викаше.' Но тој одговори: 'Јас не сум те викал; оди легни си!' И тој отиде и си легна.
6. Но Господ повика по вторпат кон Самуила: 'Самуиле, Самуиле!' Тој стана и пак отиде кај Илиј и рече: 'Еве ме! Ти ме повика?' Но тој рече: 'Јас не сум те викал, синко; оди легни си!'
7. Самуил уште не го познаваше тогаш гласот на Господа, уште не му се беше открило словото Господово.
8. Викна Господ кон Самуила и третпат. Тој стана и отиде при Илиј и рече: 'Еве ме! Ти ме повика?' Тогаш Илиј разбра, дека Господ го вика момчето.
9. И му рече Илиј на Самуила: 'Оди легни си, и кога Оној што вика, ке те повика, ти кажи: 'Говори, Господи, бидејки Твојот слуга слуша.' И отиде Самуил и легна на местото свое.
10. И Господ дојде, застана и викна, како првиот и вториот пат: 'Самуиле! Самуиле!' И Самуил рече: 'Говори Господи, бидејки Твојот слуга слуша.'
11. И му рече Господ на Самуила: 'Еве, што ке извршам во Израилот, за кое, кој ке чуе, ке му писнат и двете уши.
12. Во тој ден Јас ке го исполнам над Илиј се она што сум зборувал за домот негов; Јас ке почнам и ке завршам.
13. Јас му јавив дека ке го казнам домот негов засекогаш заради онаа вина, која тој ја знаеше, бидејки синовите негови бесчествуваа, и тој не ги запираше.
14. И поради тоа се колнам пред домот на Илиј, дека вината на Илиниот дом нема да се избрише довека ниту со жртви, ниту со лебни приноси.'
15. Самуил спиеше до утрината, (и стана рано) и ја отвори вратата на домот Господов; Самуил се плашеше да му соопшти на Илиј за тоа видение.
16. Но Илиј го повика Самуила и рече: 'Синко Самуиле!' Тој одговори: 'Еве ме!'
17. И рече Илиј: 'Што ти беше речено? Не криј од мене; тоа и тоа нека ти направи Господ тебе, и уште повеке нека направи, ако сокриеш од мене од се што ти беше кажано.'
18. И Самуил му соопшти се и не сокри од него ништо. Тогаш Илиј рече: 'Он е Господ; што Му е угодно, тоа и нека направи.'
19. Самуил порасна, и Господ беше со него; и не остана ни еден Негов збор неисполнет.
20. И сиот Израил од Дан дури до Вирсавија дозна дека Самуил е удостоен да биде пророк Господов.
21. И Господ продолжуваше да се јавува во Силом, откако му се беше открил на Самуила во Силон преку словото Господово. И во сиот Израил, од крај до крај на земјата, се уверија дека Самуил, е пророк Господов. Илиј, пак, остаре многу, а синовите негови продолжуваа да одат по лукав пат пред Господа.

Глава 4

1. Филистејците се собраа да војуваат против Израилот. И словото Самуилово беше свртено кон сиот Израил. И излегоа во војна Израилците против Филистејците и се улогорија при Авен-Езер, а Филистејците се сместија при Афек.
2. И Филистејците се наредија за борба против Израилците; почна борбата, и Филистејците ги разбија Израилците, и загинаа од нив на бојното поле до четири иљади души.
3. Тогаш народот дојде во логорот; и старешините Израилеви рекоа: 'Зошто Господ не порази денес пред Филистејците. Да си гоземеме од Силом ковчегот на заветот Господов, и тој ке оди среде нас и ке не спаси од раката на непријателите наши.'
4. И народот испрати во Силом, па го донесоа оттаму ковчегот на заветот на Господа Саваот, Кој седи на Херувими; а при ковчегот на заветот Божји беа двајцата синови на Илиј - Офни и Финес.
5. И кога пристигна во логорот ковчегот на заветот Господов, сиот Израил крена толку силен вик, што земјата трепереше.
6. И Филистејците ги слушнаа радосните извици и рекоа: 'Зошто ли се тие радосни извици во логорот на Евреите?' И дознаа, дека во логорот пристигнал ковчегот Господов.
7. И се уплашија Филистејците, бидејки рекоа: 'Бог дошол при нив во логорот.' И рекоа: 'Тешко нам, зашто такво нешто не се случило ни вчера ни завчера;
8. тешко нам! Кој ке не спаси од раката на Оној силен Бог? Тоа е Оној Бог, што ги порази Египтјаните со секакви поразии во пустињата.
9. Стегнете се, о Филистејци, и бидете храбри, за да не станете робови на Евреите, како што се тие во ропство под вас; бидете јунаци и удрете на нив!'
10. И Филистејците удрија, Израилците беа разбиени, и секој избега во шаторот свој; поразот беше многу голем; од Израилците паднаа триесет иљади пешаци.
11. Ковчегот Божји беше земен, и обајцата Илиини синови, Офни и Финес, загинаа.
12. А еден од Венијаминовите побегна од местото на битката и дојде во Силом истиот ден; облеката му беше испокината и главата во прав.
13. Кога тој пристигна, Илиј седеше на стол при патната врата и гледаше, бидејки срцето му трепереше за ковчегот Божји. И кога тој човек пристигна и јави во градот, целиот град високо повика.
14. Илиј го чу плачењето и рече: 'Каква врева е тоа?' И човекот веднаш се приближи и му соопшти на Илиј.
15. Илиј тогаш беше на деведесет и осум години; и очите му се беа помрачиле, и тој не можеше да гледа.
16. И човекот му рече на Илиј: 'Јас дојдов од логорот, денес избегав од местото на битката.' И рече Илиј: 'Што стана, синко?'
17. И известителот одговори и рече: 'Израил избега пред Филистејците, голем пораз стана во народот, и двајцата твои синови, Офни и Финес, загинаа, и ковчегот Божји беше запленет.'
18. Кога тој спомна за ковчегот Божји, Илиј падна од столот при вратата нагрб, си го скрши грбникот и умре; бидејки тој беше стар и тежок. Тој беше судија на Израилот четириесет години.
19. Снаата негова, Финесовата жене, беше бремена веке навременила. Кога го чу известувањето дека ковчегот Божји е запленет и дека свекорот нејзин и мажот нејзин умреле, се свитка на колена и роди, бидејки и дојдоа болките.
20. И кога таа умираше, жените околу неа и говореа: 'Не плаши се, ти роди син.' Но таа не одговараше и не обрнуваше внимание.
21. И го нарече младенчето Ихавод, велејки: 'Си отиде славата од Израилот' - со запленувањето на ковчегот Божји, а и со смртта на свекорот нејзин и мажот нејзин.
22. Таа затоа рече: 'Отиде славата од Израилот, бидејки ковчегот Божји е запленет.

Глава 5

1. А Филистејците го зедоа ковчегот Божји и го пренесоа од Авен-Езер во Азот.
2. Го зедоа Филистејците ковчегот Божји, го внесоа во Дагоновиот храм и го поставија до Дагона.
3. На другиот ден, откако станаа Азотците рано, ете, Дагон лежи ничкум на земја пред ковчегот Господов. И го зедоа Дагона и го поставија пак на местото негово.
4. На следниот ден, откако станаа утрината, ете, Дагон пак лежи ничкум на земја пред ковчегот Господов; главата на Дагона, обете стапала на нозете и обете дланки на рацете негови беа пресечени, секоја одделно, и лежеа на прагот; само трупот на Дагона беше останал.
5. Поради тоа жреците Дагонови и сите други, кои доа аа во домот на Дагона во Азот, не стапнуваат на прагот Дагонов до ден денешен.
6. И раката Господова се протегна врз Азотците, и Бог го порази и ги казни со лоши пликови во Азот и околните места негови, а во земјата се накотија глувци, и во градот имаше голем смут.
7. Откако го видоа тоа Азотците, рекоа: 'Да не остане ковчегот на Бога Изрилев кај нас, зашто тешка Му е раката и за нас и за нашиот бог Дагон.'
8. И испратија, та ги собраа при себе сите филистрјски кнезови и рекоа: 'Што да правиме со ковчегот на Бога Израилев?' А тие рекоа: 'Нека се пренесе ковчегот на Бога Израилев во Гет.' И го испратија ковчегот на Бога Израилев во Гет.
9. Откако го пренесоа, раката Господова дојде врз градот и направи ужас мошне голем, и ги порази Господ градските жители од мал до голем, и се појавија на нив израстоци.
10. Затоа тие го испратија ковчегот Божји во Аскалон. И кога ковчегот Божји дојде во Аскалон, Аскалонците извикаа и рекоа: 'Го донесе при нас ковчегот на Бога Израилев, за да не помори нас и народот наш.'
11. И испратија, та ги собраа сите филистејски кнезови и рекоа: 'Испратете го ковчегот на Бога Израилев; нека се врати на местото свое, за да не не помори нас и народот наш.' Зашто се појави смртен страв: по целиот град раката Божја силно се протегна врз нив, откако ковчегот на Бога Израилев дојде тука.
12. И оние, што не умреа, беа поразени со пликови, така што пискотот од градот се издигаше до небото.

Глава 6

1. А ковчегот Господов остана во областа Филистејска седум месеци, и се наполни таа земја со глувци.
2. И Филистејците повикаа жреци вражачи, па рекоа: 'Што да правиме со ковчегот Господов? Поучете не, како да го испратиме до местото негово?'
3. Тие, пак, рекоа: 'Ако сакате да го испратите ковчегот на заветото на Господа Бога Израилев, не испракајте го без ништо, туку принесете Му жртва за вина; тогаш ке се излекувате и ке дознаете, поради што не отстапува од вас раката Негова.'
4. И тие запрашаа: 'Каква жртва за вина треба да Му принесеме?' Тие одговорија: 'Според бројот на филистејските кнезови - пет златни пликови и пет златни глувци; зашто еднаков е поразот врз сите нас и врз кнезовите ваши;
5. и така, направете извајани подобија (слични) на вашите пликови и извајани подобија на вашите глувци, што ја опустошија земјата, и воздајте Му слава да Бога Израилев; можеби Он ке ја направи и полесна раката Своја над вас, над боговите ваши и над земјата ваша;
6. и зошто да го ожесточувате срцето свое, како што го ожесточија срцето свое Египтјаните и Фараонот? Ете, кога Господ ја покажа силата Своја над нив, тие ги пуштија и тие тргнаа.
7. Па така, земете, направете една нова кола и земете две крави доилки на кои јарем уште не е ставан, и впрегнете ги кравите во колата, и телињата нивни одведете ги од нив дома;
8. и земете го ковчегот Господов и ставете го на колата, а златните работи, што ке Му ги принесете како жртва за вина, ставете ги во ковчеже отстрана; пуштете го и нека оди;
9. Но гледајте, ако тргне кон пределите свои, кон Ветсамис, тој ни го направил тоа големо зло; ако пак не, ке знаеме, дека не раката Негова не поразила, туку тоа станало со нас случајно.'
10. Така и направија: зедоа две крави доилки, ги впрегнаа во кола; а телињата нивни ги задржаа дома;
11. и го ставија на колата ковчегот Господов, ковчежето со златните глувци и извајаните пликови.
12. И тргнаа кравите право по патот кон Ветсамис: одеа се по еден пат, одеа и мукаа, но не скршнуваа ни десно, ни лево; а филистејските кнезови одеа по нив до пределите на Ветсамис.
13. Ветсамиските жители такму го жнееја житото во долината и, откако погледнаа, го видоа ковчегот Господов и се зарадуваа, поради тоа што го видоа.
14. А колата дојде во нивата на Ветсамиецот Исус и таму се застана; имаше таму еден голем камен, и исцепија дрва од колата, а кравите ги принесоа на Господа како жртва.
15. Левитите го симнаа ковчегот Господов и ковчежето, што беше до него, во кое се нао аа златните работи, и ги ставија на големиот камен; а ветсамитските жители принесоа тој ден жртви сепаленици и жртви за благодарност на Господа.
16. И петте филистејски кнезови го видоа тоа и се вратија истиот ден во Акарон.
17. Залтните пликови што Филистејците Му ги принесоа на Господа како жртва за вина, беа: еден за Азот, еден за Газа, еден за Аскалон, еден за Гет, еден за Акарон;
18. а златните глувци беа според бројот на сите филистејски градови - на петте кнезови, од укрепените градови и отворените села до големиот камен, врз кого го ставија ковчегот Господов и кој и од ден денес се нао а во нивата на Ветсамиецот Исус.
19. Ме у ветсамиските жители не се зарадуваа синовите Јехониеви, иако го видоа ковчегот Господов. И Бог уби од нив педесет иљади и седумдесет души. И народот заплака, бидејки Господ го порази со голема погибел.
20. И ветсамиските жители рекоа: 'Кој може да стои пред Господа, пред Овој свет Бог и при кого од нас ке отиде Он?'
21. И испратија пратеници при жителите на Киријат-Јарим да кажат: 'Филистејците го вратија ковчегот Господов; дојдете и земете го при вас!'

Глава 7

1. Жителите на Киријат-Јарим дојдоа, го зедоа ковчегот на заветот Господов и го однесоа во куката на Аминадава, на ридот, а синот негов Елеазар го посветија да го чува ковчегот на заветот Господов.
2. Од оној ден, кога ковчегот остана во Киријат-Јарим, измина многу време-дваесет години. И сиот Израилев дом се обрна кон Господа.
3. И му рече Самуил на сиот Израилев дом, велејки: 'Ако од се срце се обрнувате кон Господа, отстранете ги од средината своја ту ите богови и боговите од горичките, расположете го срцето свое кон Господа и Нему единствено служете Му, и Он ке ви избави од филистејските раце.'
4. И Израилевите синови ги отстранија разните Вааловци и Астарти и почнаа да му служат само на Господа.
5. И рече Самуил: 'Соберете ги сите Израилци во Масифа, и јас ке Му се помолам на Господа за вас.'
6. И се собраа во Масифа, и црпеа вода - ја истураа пред Господа, и постеа тој ден, велејки: ‘згрешивме пред Господа.‘ А Самуил им судеше на синовите Израилеви во Масифа.
7. Кога Филистејците чуја дека синовите Израилеви се собрале во Масифа, кнезовите нивни излегоа против Израилот; Израилците откако го слушнаа тоа, се уплашија од Филистејците.
8. Тогаш Израилевите синови му рекоа на Самуила: 'Не престанувај да го молиш Господа, нашиот Бог за нас, та некако да не спаси од филистејските раце.' А Самуил рече: 'Не може да биде, јас да отстапам од Господа, мојот Бог, и да не се молам за вас во молитвата своја!'
9. И Самуил зеде едно јагне цицалче и го принесе заедно со сиот народ како жртва сепаленица на Господа; повика Самуил кон Господа за Израилот и Господ го чу.
10. И кога Самуил ја принесуваше сепалиницата, Филистејците дојдоа да се бијат против Изрилот. Но тој ден Господ загрме со силен татнеж над Филистејците и испрати против нив силен ужас, и тие се збркаа и беа поразени пред Израилот.
11. Израилците излегоа од Масифа, ги гонеа Филистејците и ги разбиваа до под Ветхор.
12. И Самуил зеде еден камен и го стави ме у Масифа и Сен, и го нарече Аван-Зер, што значи довде ни помогна Господ.
13. Така беа смирени Филистејците и не доа аа веке во пределите Израилеви; и раката Господова беше врз Филистејците преку сите денови на Самуила.
14. А му беа вратени на Израилот градовите, што Филистејците ги беа презеле од Израилот, од Акарон дури до Гет, и Израил ги ослободи пределите нивни од филистејки раце, и настана мир ме у Израилот и Аморејците.
15. И Самуил беше судија над Израила преку сите денови на својот живот;
16. и секоја година одеше и го обиколуваше Ветил, Галгал, и Масифа и му судеше на Израилот по сите тие места;
17. потоа се вракаше во Арматем, бидејки таму беше куката негова, таму живееше и таму му судеше на Израилот, а таму изгради и жртвеник на Господа.

Глава 8

1. А кога Самуил остаре, ги постаи своите синови за судии над Израилот.
2. Името на поголемиот син негов беше Јоил, а името на вториот син негов - Авија; тие беа судии во Вирсавија.
3. Но синовите негови не одеа по неговите патишта, туку се впуштија во користољубие - земаа подароци и судеа криво.
4. Тогаш се собраа сите старешини Израилеви, дојдоа при Самуила во Арматем
5. и му рекоа: 'Ете, ти остаре, а синовите твои не одат по патиштата твои. Затоа постави ни цар, кој ке ни суди, како што е кај другите народи.'
6. Овие зборови не му беа пријатни на Самуила, кога рекоа: ‘дај ни цар, кој ке ни суди.‘ И Самуил Му се помоли на Господа.
7. А Господ му рече на Самуила: 'Чуј го народниот глас во се, што ти говорат; зашто тие не те отфрлија тебе, туку Ме отфрлија Мене, за да не царувам над нив;
8. како што постапуваа од оној ден до денес, кога ги изведов од Египет, откако Ме оставија и им служеа на други богови, така постапуваат и со тебе;
9. затоа, послушај го гласот нивни; само изложи им ги и објави им ги правата на царот, што ке царува над нив.'
10. И Самуил им ги соопшти сите тие зборови Господови на народот, кој бараше од него цар,
11. и рече: 'Еве, какви ке бидат правата на царот, што ке царува над вас: тој ке ги зема синовите ваши и ке ги прави свои колари и свои коњаници и тие ке одат пред колите негови;
12. и ке ги постави да му бидат иљадници и педесетници, да му ги обработуваат нивите, да го жнеат житото и да му прават воjничко оружје и се што е потребно за колите негови;
13. ке ги зема керките ваши за да прават миризливи масла, да готват јадења и да печат леб;
14. ке ви ги зема најдобрите ваши ниви, лозја и малинови градини и ке им ги дава на слугите свои;
15. ке зема десеток од посевите ваши и од лозјата ваши и ке им го дава на евнусите свои и на слугите свои;
16. ке ги зема робовите ваши и робинките ваши, најдобрите момци ваши и ослите ваши и ке ги употребува за своја работа;
17. ке зама десеток од вашиот ситен добиток, а вие сами ке му бидете робови;
18. тогаш ке заофкате од царот свој, што сте го избрале, и Господ нема да ви одговори тогаш.'
19. Но народот не сакаше да го послуша гласот на Самуила и рече: 'Не, нека има цар над нас,
20. и ние ке бидеме како другите народи - ке ни суди нашиот цар и ке оди пред нас, и ке ги води нашите војни.'
21. И Самуил, откако ги ислуша сите тие зборови на народот, Му ги кажа на Господа.
22. И Господ му рече на Самуила: 'Послушај го гласот нивни и постави им цар.' И Самуил им рече на Израилците: 'Одете секој во својот град!'

Глава 9

1. Имаше еден виден човек од Венијаминовите синови, по име Кис, син Авилов, син Јаредов, син на Вахиров, син Афеков, син на некојси Венијаминец.
2. Тој имаше син, по име Саул, млад и убав; и никој од Израилците не беше поубав од него; а и за глава тој беше повисок од сиот народ.
3. И на Сауловиот татко Кис му се загубија ослиците, па му рече Кис на синот свој Саула: 'Земи со себе еден од слугите и стани, та оди и побарај ги ослиците.'
4. И тој ја мина Ефремовата гора, ја минаа и земјата Селха, но не ги најдоа; ја минаа и земјата Сегалимиска, и таму ги немаше; потоа ја минаа и Венијаминовата земја, но не ги најдоа.
5. А кога дојдоа во земјата Сифова, Саул му рече на слугата свој, што беше со него: 'Да се вратиме, за да не почне татко, заборавајки ги ослиците, да се беспокои поради нас.'
6. Но слугата му рече: 'Еве, во овој град има еден човек Божји, чпвек почитуван; се што тој ке каже, се збиднува. Да отидеме сега таму; можеби, ке ни го покаже нашиот пат, по кој да одиме.'
7. И му рече Саул на слугата свој: 'Добро, да одиме, но што ке му однесеме на тој човек? Зошто леб не остана во торбите наши, а и подароци нема, за да му однесеме на човекот Божји. Што имаме?'
8. Слугата, пак, му одговори на Салу и рече: 'Ете, во раката моја има четврт сикла сребро; ке му ја дадам на човекот Божји, и тој ке ни го покаже патот наш.'
9. Порано кај Израилот, кога некој одел да Го праша Бога, велел вака: ‘да одиме кај јасновидецот. Зашто тој, кого денес го нарекуваат пророк, порано се викал јасновидец.‘
10. И му рече Саул на слугата свој: 'Добро велиш; да одиме!' И отидоа во градот, каде што беше човекот Божји.
11. Кога влегуваа во градот, сретнаа девојки, кои беа излегле да си наполнат вода, и ги запрашаа: 'Има ли тука јасновидец?'
12. Тие им одговорија и рекоа: 'Име; ете, тој е пред вас; само побрзајте; тој денес дојде во градот, бидејки народот денес принесува жртва на ридот;
13. кога ке дојдете во градот, ке го затечете, пред да се искачи на ридон за да руча; зашто народот нема да почна да јаде, додека тој не дојде; бидејки тој ке ја благослови жртвата, и потоа поканетите ке почнат да јадат; и така, одете, токму сега ке го затечете.'
14. И отидоа во градот. А кога дојдоа среде град, ете, и Самуил им излегува во пресрет, за да отиде на ридот.
15. А ден пред Сауловото доа ање, Господ му откри на Самуила и рече:
16. 'Утре во ова време ке ти испратам еден човек од Венијаминовата земја, и то помажи го за цар на Мојот народ, Израилот; тој ке го спаси народот Мој од филистејските раце; зашто Јас погледнав милостивно на Мојот народ, бидејки повикот негов стигна до Мене.'
17. Кога Самуил го виде Саула, Господ му рече: 'Ете го човекот, за кого ти говорев; тој ке царува над Мојот народ.'
18. Саул се приближи до Самуила при вратата и го запраша: 'Кажи ми, каде е куката на јасновидецот?'
19. Самуил му одговори на Саула и рече: 'Јас сум јасновидецот, оди пред мене на ридон; и вие ке ручате денес со мене; јас ке те пуштам изутрина, и ке ти кажам се, што имаш на срцето;
20. а за ослиците, што се загубија пред три дена, не се грижи, тие се најдени. Та за кого е се она, што е најсакано кај Израилот? Нели е за тебе и за целиот твој татков дом?'
21. Саул одговори и рече: 'Не сум ли јас син од Венијаминовото колено, едно од најмалите Израилеви колена? И домот мој не ли е најмал ме у домовите од Венијаминовото колено? Тогаш, зошто ми го говориш тоа?'
22. Самуил го зеде Саула и слугата негов, ги воведе во собата, и им даде прво место ме у поканетите, кои беа триесетина души.
23. И му рече Самуил на готвачот: 'Донеси го оној дел, што ти го бев дал и за кој ти бев рекол:

‘зачувај го кај себеси.‘'
24. И готвачот ја зеде плешката и се, што беше на неа, и го стави тоа пред Саула. И рече Самуил: 'Ете, тоа е принесено, стави го пред себе и јади, бидејки тоа е зачувано заради тебе кога го свикав народот.' И тој ден Саул ручаше со Самуила.
25. Потоа тие слегоа од ридот во градот, и Самуил разговараше со Саула на покривот, а и послаа за Саула на покривот и тој спиеше.
26. Утрината тие станаа токму кога зазори зората, Самуил го повика Саула на покривот и рече: 'Стани, јас ке те испратам.' Саул стана, и обајцата, тој и Самуил, излегоа од куката.
27. Кога наближуваа кон крајот на градот, Самуил му рече на Саула: 'Кажи му на слугата да оди пред нас,' - и тој отиде напред, - 'а ти сега застани,' и јас ке ти откријам, што рече Бог.'

Глава 10

1. И зеде Самуил сад со елеј, го излеа врз главата негова, го бакна и рече: 'Еве, Господ те помаза за цар на Своето наследство во Израилот и ти ке царуваш над народот Господов и ке ги избавиш од рацете на околните непријатели нивни, и ете ти знак, дека Господ те помазал за цар на Своето наследство.
2. И, кога ке тргнеш сега од мене, ке сретнеш двајца лу е близу до Рахилиниот гроб, во Венијаминовите предели, во Силом, во Вакалат и тие со радост ке ти кажат: 'Се најдоа ослиците, што одеше да ги бараш, и ете, татко ти, заборавајки ги ослиците, се обеспокои за вас, велејки: ‘Што стана со синот мој?‘
3. Откако ке отидеш понатаму и ке дојдеш при Таворската дубрава, и таму ке те сретнат тројца лу е, кои одат кај Бога во Ветил: едниот носи три јариња, другиот носи три леба, а третиот носи мев со вино.
4. И тие ке те поздрават и ке ти ги дадат двата леба, и ти ке ги земеш од рацете нивни.
5. Потоа ке дојдеш на Божјиот рид, каде што е филистејската страна, таму се филистејските началници; и кога ке влезеш таму во градот, ке сретнеш група пророци, кои слегуваат од ридот, и пред нив псалтир и тимпани, свирки и гусли, и ке пророкуваат;
6. и Духот Господов ке слезе врз тебе, и ти ке пророкуваш заедно со нив и ке станеш друг човек.
7. Кога тој знак ке се случи со тебе, тогаш прави она што може раката твоја, зашто со тебе е Бог.
8. Оди пред мене во Галгал, каде што и јас ке дојдам при тебе, за да принесам жрва сепаленица и жртви за благодарност. Седум дена чекај, додека да дојдам кај тебе, и тогаш ке ти кажам што да правиш.'
9. И штом Саул се сврте, за да си оди од Самуила, Бог му даде друго срце, и сите оние знаци се збиднаа во истиот ден.
10. Кога дојде до ридот, ете кај ги сретнува друпа пророци, и Духот Божји слезе врз него, и тој пророкуваше ме у нив.
11. Сите, што го познаваа вчера и завчера, откако видоа, дека тој пророкува со пророците, си велеа еден на друг: 'Што се случило со Кисовиот син? Зар и Саул е ме у пророците?'
12. И еден од оние, што беа таму, одговори и рече: 'Па кој е нивниот татко?' Затоа излезе поговорка: ‘Зар и Саул е ме у пророците?‘
13. И тој престана да пророкува и отиде на ридот.
14. А Сауловиот чичко го праша него и слугата негов: 'Каде одевте?' Тој одговори: 'Па ги баравме ослиците, но, откако видовме, дека ги нема, навративме кај Самуила.'
15. И Сауловиот чичко рече: 'Раскажи ми, што ви рече Самуил.'
16. И Саул ми кажа на чичка си: 'Тој ни јави, дека ослиците се најдени.' А она, што Самуил му го кажа за царството, не му го кажа.
17. И Самуил го свика народот при Господа во Масифа,
18. и им рече на синовите Израилеви: 'Така говореше Господ, Бог Израилев: ‘Јас го изведов Израилот од Египет и ве спасив од рацете на Египтјаните, од рацете на сите царства, што ве притискаа.‘
19. А вие сега го отфрливте вашиот Бог, Кој ве спаси од сите ваши маки и таги, и Му рековте: - постави ни цар. И така, застанавте сега пред Гсопода според знамињата ваши и племињата свои и според иљадниците свои!'
20. И заповеда Самуил да минуваа сите племиња Израилеви, и со жреб беше посочено Венијаминовото племе.
21. И му заповеда на Венијаминовото племе да минува според домовите нивни, и беше посочено Матриевото племе; и го доведуваа Матриевото племе според мажите, и беше посочен Саул, Кисовиот син; и го бараа, но не го најдоа.
22. И пак го запрашаа Господа: 'Ќе дојде ли тој човек тука?' И Господ одговори: 'Ете, тој се

крие во покривките.'
23. Го најдоа таму и го извадија оттаму; тој застана среде народот: а од рамениците свои угоре беше повисок од сите.
24. И Самуил му рече на сиот народ: 'Гледате ли, кого го избра Господ? Како него нема ме у сиот народ.' Тогаш сиот народ извика и рече: 'Нека живее царот!'
25. И Самуил му ги изложи на народот правата на царството (царувањето), ги напиша во книга, и ја стави пред Господа. И го распушти сиот народ, секој во домот свој.
26. Исто така и Саул си отиде дома, во Гава; а со него отидоа и храбрите, до чие срце се беше допрел Бог.
27. А лошите лу е рекоа: 'Та тој ли ке не спаси?' И го презреа и не му принесоа дарови.

Глава 11

1. И по месец време дојде Амонитеецот Наас и го опколи Јавис Галадски. И сите јависки жители му рекоа на Наас: 'Склучи со нас сојуз, и ние ке ти служиме!'
2. На Амонитеецот Наас им рече: 'Ke склучам сојуз со вас, но под услов, на секого од вас да му го извадам десното око и со тоа да нанесам срам врз целиот Израил.'
3. Јависките старешини му рекоа: 'Дај ни рок од седум дена, да испратиме пратеници по сите израилски предели, и, ако никој не ни помогне, ке ти се предадеме.'
4. И пратениците дојдоа во Гава Саулова и му ги раскажаа на народот гласно тие зборови; и сиот народ извика и заплака.
5. А ете, Саул доа аше од нива по воловите свои и рече: 'Што станало со народот, та плаче?' И му ги кажаа зборовите на Јависките жители.
6. И слезе Духот Божји врз Саула, откако ги чу тие зборови, и силно се разгневи;
7. па зеде два вола, ги исече на парчиња и ги испрати по сите израилски предели преку тие пратеници, објавувајки, дека така ке биде постапено со воловите на секого, што нема да тргне по Саула и Самуила. И страв Господов падна врз народот, и тргнаа сите како еден човек.
8. Саул го преброи во Везек, и се најдоа синовите Израилеви шестотини иљади и мажи Јудини - седумдесет иљади.
9. И им рече на дојдените пратеници: 'Вака кажете им на жителите на Јавис Галадски: утре ке имате помош штом ке припече сонцето.' И пратениците отидоа и им јавија на јависките жители, и тие се зарадуваа.
10. И Јависките жители му рекоа на Наас: 'Утре ке ви се предадеме, и правете со нас што сакате.'
11. На следниот ден Саул го раздели народот во три групи, и тие се провлекоа среде логорот по утринската стража и до дневниот пропек ги поразија Амонмитците; другите Амонитци се распрснаа така, што од нив не останаа ни двајца заедно.
12. Тогаш народот му рече на Самуила: 'Кои беа тие што рекоа - Та Саул ли ке царува над нас? - Дајте ги тие лу е, и ние ке ги убиеме.'
13. Но Саул рече: 'Денес не треба никој да се убие, зашто денес Господ изврши спасение во Израилот.'
14. И Самуил му рече на народот: 'Да одиме во Галгал и таму да го обновиме царството.'
15. И сиот народ отиде во Галгал и го поставија таму Саула за цар пред Господа, во Галгал, и принесоа таму благодарствени жртви пред Господа. И се провеселија таму многу, Саул и сите Израилци.

Глава 12

1. И Самуил му рече на сиот Израил: 'Ете, јас го послушав вашиот глас во се, што ми рековте, и ви поставив цар,
2. и еве, царот оди пред вас: а јас остарев и побелев; и синовите мои се со вас. Јас, пак, одев пред вас од младини до денес.
3. Па еве ме, сведочете против мене пред Господа, и пред Неговиот помазаник: кому сум зел вол, кому сум зел осел, кого сум навредил и кого сум притискал, од кого сум зел дар и ги затворил очите пред делото негово, и јас ке ви ги вратам.'
4. И одговорија: 'Ти не си не навредувал, ниту си не измачувал и од никого ништо не си зел.'
5. И тој им рече: 'Сведок против вас е Господ, сведок е и помазаникот Негов во овој ден, дека не најдовте ништо против мене.' И тие одговорија: 'Сведок е.'
6. Тогаш Самуил му рече на народот: 'Сведок е Господ, Кој ги постави Мојсеја и Арона и Кој ги изведе вашите татковци од Египетската земја.
7. А сега застанете, и јас ке се судам со вас пред Гсопода за сите добри дела, што Он ви ги направи вам и на татковците ваши.
8. Кога Јаков дојде во Египет, и татковците ваши почнаа да викаат кон Господа, Господа го испрати Мојсеја и Арона, и тие ги изведоа татковиците ваши од Египет и ги населија на ова место.
9. Но тие Го заборавија Господа, својот Бог, и Он ги предаде во рацете на Сисар, асирскиот војвода, и во рацете на Филистејците и во рацете на моавскиот цар, кои војуваа против нив.
10. А кога повикаа пак кон Господа и рекоа: 'Згрешивме, што Го оставивме Господа и почнавме да им служиме на Вааловци и Астарти, спаси не сега од рацете на непријателите наши, и ние ке Ти служиме Тебе.'
11. Тогаш Господ го испрати Јоровала и Варака, Ефтија и Самуила и ве спаси од рацете на околните непријатели ваши, и вие живеевте во мир.
12. Но кога видовте, дека амонитскиот цар Наас оди против вас, вие ми рековте: 'Не, нека царува цар над нас', штом Господ, вашиот Бог, е ваш цар.
13. И така, еве го царот, што го избравте, кого го сакавте; ете, Господ ви постави цар.
14. Ако се плашите од Господа и Му служите, ако го слушате гласот Негов и не се противите на заповедите Господови, вие и царот ваш, кој царува над вас, и ако одите по Господа, вашиот Бог, тогаш раката Господова нема да биде против вас;
15. ако, пак, не го слушате гласот Господов и почнете да се противите на заповедите Господови, раката на Господа ке биде против вас, како што беше против татковците ваши.
16. А сега станете и погледнете го големото дело, кое Господ го изврши пред очите ваши:
17. нели е сега пченична жетва? Но јас ке Го призовам Господа, и Он ке испрати гром и дожд, и вие ке дознаете и ке видите, колку е голем гревот, што го направивте пред очите на Господа, барајки за себеси цар.'
18. И Самуил го призва Господа, и Господа испрати гром и дожд во тој ден; и сиот народ многу се исплаши од Господа и Самуила.
19. и сиот народ му рече на Самуила: 'Помоли се за слугите свои пред Господа, твојот Бог, за да не умреме; зашто кон сите гревови наши додадовме уште еден грев, кога баравме за себеси цар.'
20. А Самуил му одговори на народот и рече: 'Не плашете се, вие го направивте, вистина, тој грев, но само не отстапувајте од Господа, и служете Му на Господа од се срце,
21. и не одете по ништожни богови, кои нема да ви донесат корист и нема да ве спасат, бидејки се ништо;
22. а Господ нема да го остави народот Свој заради Своето големо име, бидејки на Господа му беше угодно да ве избере за Свој народ;
23. исто така и јас нема да си дозволам грев пред Господа, да престанам да се молам за вас, и ке ви го покажувам добриот и правиот пат;

24. само бојте се од Господа и служете Му вистински од сето свое срце, зашто видовте, какви големи дела изврши Он со вас;
25. ако пак вршите зло, тогаш и вие и царот ваш ке загинете.'

Глава 13

1. Беше изминала една година од царувањето на Саула, и две години царуваше Саул над Израилот, кога тој си избра три иљади Израилци:
2. две иљади беа со Саула во Махмас и во горага Ветилска, и иљада беа со Јонатан во Гава Венијаминова: а другиот народ тој го испрати по куките нивни.
3. Јонатан ја разби филистејската стража, што беше во Гава; Филистејците слушнаа за тоа, а Саул затруби со труба по целата земја, викајки: 'нека чујат Евреите!'
4. Кога сиот Израил чу, дека Саул ја разбил филистејската стража и дека Израил станал намразен за Филистејците, - народот се собра при Саула во Галгал.
5. А Филистејците се собраа за војна против Израил: триесет иљади коли и шест иљади коњица, и мноштво народ, како песок на морскиот брег; и дојдоа, та се сместија во Махмас, на исток од Веторон.
6. Израилците, откако видоа дека се во опасност, бидејки народот беше притеснет, се криеја во пештери и теснеци, во кемани места, во пукнатини и ровови;
7. а некои од Евреите минаа од онаа страна на Јордан, во земјата Гадова и Галадска; Саул, пак, беше уште во Галгал, сиот народ, што беше со него, се беше уплашил
8. И тој чекаше седум дена до рокот, означен од Самуила, но Самуил не доа аше во Галгал. И народот почна да се разбегува од него.
9. И Саул рече: 'Донесете го при мене одреденото за сепаленици и за благодарствени жртви.' И принесе жртва.
10. А штом заврши со принесувањето на жртвата, ете кај иде Самуил, и Саул му излезе во пресрет да го поздрави.
11. А Самуил запраша: 'Што си направил?' Саул одговори: 'Видов оти народот се разбега од мене, а ти не дојде во закажаното време, Филистејците пак се беа собрале во Махмас, -
12. тогаш си помислив: 'Сега ке се спуштат врз мене Филистејците во Галгал, а јас, пак, се уште не сум го прашал Господа, па затоа решив да принесам жртва.'
13. И Самуил му рече на Саула: 'Лошо си постапил што не си ја исполнил заповедта на Господа, твојот Бог, која ти беше дадена, зашто денес Господ сакаше да го зацврсти царувањето твое над Израилот засекогаш.
14. А сега твоето царување не ке може да опстане: Господ ке си најде маж според срцето Свое и ке му нареди да биде водач на народот Негов, зашто ти не го исполни она што ти беше заповедал Господ.'
15. И стана Самуил, та отиде од Галгал во Гава Венијаминова, другите, пак лу е отидоа по Саула против непријателските групи, кои ги нападнаа кога одеа од Галгал во Гава Венијаминова; а Саул ги преброи лу ето, што беа со него, до шестотини души.
16. Саул со синот свој Јонатан и лу ето, што се нао аа при нив, се улогорија во Гава Венијаминова и плачеа, а Филистејците беа во логорот во Махмас.
17. И од филистејскиот логор излегоа три дружини, за да ја опустошуваат земјата: едната тргна оп патот за Гофер, во земјата Совал,
18. другата дружина тргна по Веторонскиот пат, додека третата појде по патот кон границата на долината Севоим, кон пустињата.
19. Во сета Израилска земја немаше ковачи, бидејки Филистејците се плашеа, да не направат Евреите мечеви или копја.
20. И сите Израилци требаше да одат при Филистејците за да ги клепаат своите рала, мотиките, секирите и копачите,
21. кога ке отапеше сечилото на ралата, мотиките, вилите и секирите, или пак требаше да се наострат остените.
22. Затоа во текот на војната немаше ниту меч, ниту копје во сиот народ, што беше со Саула и Јонатана, а такви се најдоа само кај Саула и кај синот негов Јонатана.
23. И филистејската стража излезе во теснецот во Махмас.

Глава 14

1. Еден ден Сауловиот син Јонатан му рече на својот слуга оруженосец: 'Дојди да минеме кон филистејската стража, од онаа страна.' А на татка си тој не му кажа за тоа.
2. Саул, пак, се нао аше крај Гава, под калинковото дрво, кое е во Магдон; со него беа до шестотини души народ.
3. и Ахија, синот Ахитов, брат на Јохаведа, син на Финеса, син Илиин, свештеник Господов во Силом, кој носеше ефод. А народот не знаеше, дека Јоната заминал.
4. Ме у преминитe, низ кои Јонатан сакаше да се пробие до филистејската стража, имаше остра карпа од едната страна и остра карпа од другата: едната ја нарекуваа Васес, а другата - Сена;
5. едната карпа се издигаше од север кон Махмас, другата - од југ кон Гава.
6. И му рече Јонатан на својот слуга оруженосецот: 'Дојди да преминаме кон стражата на необрезаните; можеби, Господ ке ни помогне, бидејки за Господа не е тешко да спаси преку мнозина или малкумина.'
7. И оруженосецот одговори: 'Веши се што ти е по срцето; ете, јас сум со тебе, оди, каде што сакаш.'
8. Јонатан рече: 'Еве, ке преминеме кон оние лу е и ке застанеме кон оние лу е и ке застанеме да не видат;
9. ако ни речат: - застанете, додека да дојдеме до вас, - ние ке застанеме на местата свои и нема да излеземе при нив;
10. ако, пак, кажат: - дојдете при нас, - ние ке излеземе, зашто Господ ги предал во рацете наши; и тоа ке биде знак за нас.'
11. Кога и двајцата застанаа, за да ги види филистејската стража, Филистејците рекоа: 'Ете, Евреите ислгуваат од проломите, во кои се беа испосокриле.'
12. И извика стражата кон Јонатана и оруженосецот негов, велејки: 'Дојдете кај нас, и ние ке ви кажеме нешто.' Тогаш Јонатан му рече на оруженосецот: 'Оди по мене, зашто Господ ги предава во рацете на Израилот.'
13. Тогаш Јонатан почна да се качува со раце и нозе, а оруженосецот негов по него. И Филистејците па аа пред Јонатана, а оруженосецот ги доубиваше по него.
14. И во тој прв пораз, нанесен од Јонатана и оруженосецот негов, паднаа до дваесет души, врз половина од нива, обработувана од два вола во еден ден.
15. Па настана ужас во логорот на полето и во сиот народ: стражата и оние што ја опустошија земјата, многу се уплашија, и не сакаа да се бијат; се затресе целата земја, и настана голем ужас од Господа.
16. И Сауловата стража во Гава Венијаминова виде, дека народот се распрснува и трча наваму-натаму.
17. И Саул му рече на народот, што беше со него: 'Погледајте и дознајте, кои од нашите се излезени.' И прегледаа, а тоа, го нема Јонатан и оруженосецот негов.
18. И Саул му рече на Ахија: 'Донеси го ковчегот Божји,' - зашто во тоа време ковчегот Божји беше со синовите Израилеви.
19. Саул уште му говореше на свештеникот, додека збрката во филистејскиот логор се повеше и повеке се зглемуваше. Тогаш Саул му рече на свештеникот: 'Собери ги рацете свои!'
20. Извика Саул и сиот народ, што беше со него, и дојдоа до местото на битката, и ете, таму мечот на секого беше насочен против ближниот негов; смут имаше многу голем.
21. Тогаш и Евреите, кои вчера и завчера беа со Филистејците и кои заедно одеа со нив во логорот, се присоединија кон Израилците што беа со Саула и Јонатана;
22. и сите Израилци, што се криеја во Ефремовата гора, откако слушнаа, дека Филистејците избегале и тие се присоединија кон своите во битката.
23. Тој ден Господ го спаси Израилот; а битката се прошири дури до Вамот. Сите мажи со Саула беа до десет иљади, и битката се прошири по целиот град на Ефремовата гора.

24. Израилевите мажи беа изморени тој ден; а Саул, не размислувајки многу, го заколна
народот, велејки: 'Проклет да е оној, што ке вкуси леб до вечерва, додека не им се одмаздам
на моите непријатели!' И никој од народот не вкуси храна.
25. И сиот народ отиде во горага, а таму на лединката имаше мед.
26. И народот излезе во горага, велејки: 'Еве, тече мед.' Но никој не ја доближи раката кон
устата своја, бидејки народот се плашеше од клетвата.
27. Јонатан, пак, не чу, кога тако му го заколнуваше народот, и отакако го протегна крајот на
стапот, што беше во раката негова, ја буцна медената пита и ја сврти со раката кон устата
своја и очите му светнаа.
28. А еден од народот му рече, велејки: 'Татко ти го заколна народот, и рече: - ‘Проклет да е
оној, што денес ке вкуси храна; од тоа народот изнемоште.‘'
29. Но Јонатан рече: 'Татко ми ја смути земјата; гледате, како ми светнаа очите, штом вкусив
малку од медов;
30. ако, пак, народот денес си каснеше од грабежов, што го најде кај непријателите свои,
немаше ли поразот на Филистејците да биде поголем?'
31. И Израилците ги разбија Филистејците оној ден од Махмас до Ајалон, и народот многу беше
изморен.
32. Тогаш народот се нафрли на пленот, иземаа овци, волови и телиња, и ги колеа наземи, и
народот јадеше заедно со крвта.
33. Му јавија на Саула, велејки: 'Ете, народот греши пред Господа, јаде со крвта.' И рече Саул:
'Вие згрешивте: донесете сега при мене еден голем камен.'
34. Потоа Саул рече: 'Одете ме у народот и речете му: секој нека го дотера при мене волот свој
и секој - овцата своја, и колете тука и јадете, и не грешете пред Господа, не јадете со крвта.' И
сите од народот дотеруваа, секој со своја рака, волот свој и овцата своја през нокта и колеа
таму.
35. Тогаш Саул му изгради жртвеник на Господа: тоа беше жртвеникот на Господа подигнат од
него.
36. И Саул рече: 'Да ги подгониме Филистејците оваа нок и да ги ограбиме до разденување и
да не оставиме ниту еден од нив.' И рекоа: 'Прави се, што сметаш дека е добро.' А
свештеникот рече: 'Да пристапиме овде кон Бога.'
37. Саул го запраша Бога: 'Да ги подгонам ли Филистејците? Ќе ги предадеш ли во рацете на
Израилот?' Но Он не му одговори тој ден.
38. Тогаш Саул рече: 'Нека се приближат овде сите началници народни, да распрашаат и
дознаат, врз кого е денес гревот?'
39. Зашто, - жив ми Господа, Кој го спаси Израилот - ако биде и врз синот мој Јонатан, и тој
нека умре бездруго.' Но никој од сиот народ не му одговори.
40. Тогаш Саул им рече на сите Израилци: 'Застанете вие на едната страна, а јас и син ми
Јонатан ке застанеме на другата страна.' А народот му одговори на Саула: 'Прави го она што
мислиш дека е добро.'
41. И рече Саул: 'Господи, Боже Израилев! Зошто сега не му одговори на Твојот слуга? Во мене
ли е вината за тоа, или кај син ми Јонатан? Господи, Боже Израилев, дај знак. Ако е вината кај
твојот народ Израил, изобличи го.' Изобличените беа со жреб Јонатан и Саул, а народот излезе
прав.
42. Тогаш Саул рече: 'Фрлете жреб ме у мене и ме у синот мој Јонатан и кого Господ ке го
посочи, тој да умре.' И народот му рече на Саула: 'Нека не биде така!' Но Саул настојуваше. И
фрлија жреб ме у него и синот негов Јонатан, и жребот падна врз Јонатана.
43. И Саул му рече на Јонатана: 'Кажи ми, што си направил?' И Јонатан му раскажа, велејки:
'Вкусив со стапот, што е во раката моја, малку мед; и ете, јас треба да умрам.'
44. И Саул рече: 'Нека ми направи Господ и тоа и тоа, и уште повеке да направи; ти, Јонатане,
денес треба да умреш.
45. Но народот му рече на Саула: 'Јонатан ли да умре, кој изврши такво големо спасение на

Израилот? Тоа нема да биде! Нека е жив Господ, ни влакно нема да падне од главата негова на земјата, зашто денес тој дејствуваше со Бога.' И народот го ослободи Јонатана, и тој не умре.
46. Тогаш Саул не отиде да ги гони Филистејците; и Филистејците се вратија во земјата своја.
47. Саул го зацврсти царувањето свое над Израилот, и војуваше против сите свои околни непријатели, со Моав и со Амонците и со Едом, и со Ветор, и со царевите на Сова, и со Филистејците, а против кого и да се свртеше, по ред имаше успех.
48. Тој ја среди војската, го разби Амалик и го ослободи Израил од рацете на оние што го грабеа.
49. Саулови синови беа: Јонатан, Јесуј и Мелхисуј; а двете керки негови се викаа: поголемата - Мерова, а помалата - Мелхола.
50. А Сауловата жена се викаше Ахиноам, керка на Ахимас; началникот на војската негова се викаше Авенир, син на Нир, стрикото Саулов.
51. Кис, Сауловиот татко, и Нир, Авенировиот татко, син на Јамина, беа синови Авилови.
52. И за сето Саулово време се водеше упорна борба против Филистејците. И кога Саул ке видеше некој човек силен и јунак, го земаше кај себеси.

Глава 15

1. Потоа Самуил му рече на Саула: 'Господ ме испрати да те помажам за цар над Неговиот народ, над Израилот; а сега чуј го гласот Господов.
2. Така говореше Господ Саваот: 'Си спомнав на она, што Амалик му го направи на Израилот, како тој му се испречи на патот кога тој доа аше од Египет.
3. Оди сега и порази го Амалика и истреби се негово, но не земај за себе ништо од нив, туку уништи го и проколни се што е негово; не штеди го, туку предај на смрт од маж до жена, од момче до доенче, од вол до овца, од камила до осел.'
4. Го собра тогаш Саул неродот и го преброи во Галгал; и тие двесте иљади Израилци пешаци и десет иљади од Јудиното племе.
5. И дојде Саул до Амаликовите градови и постави заседа во потокот.
6. Па им рече Саул на Кенејците: 'Одете, одделете се, излезете од средината на Амаликовците, за да не ве погубам со нив, бидејки вие покажавте благонаклоност спрема сите Израилци кога доа аа од Египет. И Кенејците се одделија од Амаликијците.
7. И Саул го порази Амалика од Евил до пределите на Сур, што е пред Египет;
8. и го зароби жив амаликијскиот цар Агага, и сиот народ го истреби со меч и Јерима го уби.
9. Но Саул и народот го поштедија Агага и најдобрите овци, волови и згоените јагниња, и сето добро, кое не сакаа да го истребат, а го истребија сето лошо и безвредно.
10. И дојде словото од Господа, кон Самуила вакво:
11. 'Жалам, што го поставив Саула за цар, бидејки тој се одврати од Мене и не го исполни зборот Мој.' Се натажи Самуил многу, викаше кон Господа цела нок.
12. А изутрината рано Самуил стана и отиде да го пресретне Саула. И му јавија на Самуила, дека Саул отишол на Кармил и таму си подигнал споменик, но оттаму ја свртил колата и слегол во Галгал.
13. Кога Самуил дојде при Саула, Саул му рече: 'Благословен да си од Господа; јас го исполнив зборот Господов.'
14. Но Самуил рече: 'А какво е ова блеење на овци во ушите мои и мукање на волови, што го слушам?'
15. Саул одговори: 'Ги дотераа од Амалика, зашто народот ги поштеди најдобрите овци и волови за принесување жртви на Господа, твојот Бог; а другото го истребивме.
16. Самуил му рече на Саула: 'Почекај да ти јавам, што ми кажа Господ нокеска.' А Саул му рече: 'Кажувај.'
17. Тогаш Самуил му рече на Саула: 'Зар не беше ти мал пред Него и зар не те постави глава над Израилевите племиња, и Господ те помаза за цар над Израилот?
18. И Господ те испрати на пат и рече: 'Оди и истреби ги Амаликијците и војувај против нив, се додека ги истребиш.
19. Зошто тогаш ти не го послуша гласот Господов, а се втурна по грабеж и направи зло пред очите на Господа?'
20. Саул му одговори на Самуила: 'Јас го послушав гласот Господов и отидов на пат, каде што ме испрати Господ, и го доведов амаликијскиот цар Агаг, а Амаликијците ги истребив;
21. а од пленот: овците и воловите, народот го зеде најдоброто од ограбеното, за да му принесе жртва на Господа, твојот Бог, во Галгал.'
22. Самуил одговори: 'Зар сепалиниците и приносите повеке Му се пријатни на Господа, отколку послушноста на гласот Господов? Послушноста е подобра од жртвата, и покорувањето - подобро отколку овнешкото месо;
23. зашто непокорноста и исто таков грев, какво што е вражањето, а упорноста е исто како и идолопоклонството. Поради тоа што го отфрли зборот на Господа, затоа и Он те отфрли, за да не бидеш цар над Израилот.'
24. И Саул му кажа на Самуила: 'Згрешив, бидејки ја престапив заповедта на Господа и твојот збор; но јас се исплашив од народот и го послушав гласот нивни.

25. А сега земи го од мене мојот грев и врати се со мене, за да Му се поклонам на Господа, твојот Бог.'
26. А Самуил му одговори на Саула: 'Нема да се вратам со тебе, зашто ти го отфрли зборот Господов, и Господ тебе те отфрли, за да не бидеш цар над Израилот.'
27. Самуил се сврти да си оди. Но Саул се фати за крајот од облеката негова и ја раскина.
28. Тогаш Самуил рече: 'Денес Господ го одзеде царството Израилево од тебе и му го даде на твојот ближен, кој е подобар од тебе.
29. Светецот Израилев нема да каже неправда, ниту ке се покае, бидејки Он не е човек, та да се покае.'
30. И рече Саул: 'Згрешив; но направи ми сега чест пред старешините на мојот народ и пред Израилот, и врати се со мене, и јас ке Му се поклонам на Господа, твојот Бог.'
31. Самуил се врати по Саула, и Саул Му се поклони на Господа.
32. Потоа Самуил рече: 'Доведете ми го амаликијскиот цар Агага.' Агаг, растреперен, се приближи до него, и рече Агаг: 'Горчината на смртта, секако, одмина!'
33. Но Самуил рече: 'Како што мечот твој ги лишуваше жените од децата, така и мајка ти ме у жените нака биде лишена од син.' И го исече Самуил Агага пред Господа во Галгал.
34. Самуил отиде во Арматем, а Саул отиде во домот свој во Гава Саулова.
35. И Самуил веке не се виде со Саула до денот на смртта своја; но Самуил тагуваше по Саула, бидејки Господа се беше покајал, што го зацари Саула над Израилот.

Глава 16

1. Му рече Господ на Самуила: 'До кога ке тагуваш по Саула, кого Јас го отфрлив, да не биде цар на Израилот? Наполни го рогот свој со елеј и оди; Јас ке те испратам кај витлеемецот Јесеј, зашто ме у неговите синови си согледав цар.'
2. Тогаш Самуил рече: 'Како да одам? Саул ке чуе и ке ме убие.' Господ рече: 'Потерај од стадото свое една јуничка и кажи: - дојдов да му принесам жртва на Господа;
3. покани го и Јесеја, и синовите негови, на жртвата; Јас ке ти кажам, што да правиш, и ти ке Ми го помажеш оној, кого ке ти го посочам.'
4. И Самуил направи, како што му кажа Господ. Кога дојде во Витлеем, старешините градски се уплашија и излегоа да го пресретнат и запрашаа: 'Со мир ли доа аш?'
5. Тој одговори: 'Со мир; дојдов да Му принесам жртва на Господа; осветете се и дојдете со мене на принесување жртва.' И го освети тој Јесеја и синовите негови и ги покани на жртвата.
6. И кога дојдоа тие, тој, штом го виде Елиава, рече: 'Секако овој е пред Господа помазаникот Негов!'
7. Но Господ му рече на Самуила: 'Не гледај на лицето негово и високиот негов раст; Јас го отфрлив. Јас не гледам така, како што гледа човек, зашто човек гледа на лицето, а Господ гледа на срцето.'
8. И го повика Јесеј Аминадава и го доведе кај Самуила, па рече Самуил: 'И овој Господ не го избрал.'
9. Јесеј го доведе Сама, и Самуил рече: 'И овој не е избран од Господа.'
10. Така Јесеј ги доведе при Самуила седумте синови свои, но Самуил му рече на Јесеја: 'Ни еден од нив Господ не избрал.'
11. Самуил го запраша Јесеја: 'Сите деца твои ли се овие?' Јесеј одговори: 'Остана уште најмалиот; тој ги пасе овците.' И му рече Самуил на Јесеја: 'Испрати, и доведи го, зашто нема да седнеме да јадеме, додека тој не дојде овде.'
12. Тогаш Јесеј испрати, и го доведоа. Тој беше рус, со убави очи и пријатно лице. И Господ рече: 'Стани, помажи го, зашто тоа е тој.'
13. Самуил го зеде рогот со елеј и го помаза среде браката негови, и Духот Господов почиваше врз Давида од тој ден и подоцна. Потоа Самуил стана и отиде во Арматем.
14. А од Саула отстапи Духот Господов, и зол дух од Господа го мачеше.'
15. И му рекоа на Саула неговите слуги: 'Ете, зол дух од Бога те мачи.
16. Нашиот господар нека заповеда на слугите свои, што се пред тебе, да побараат човек, што знае да свири на гусли и кога лошиот дух од Бога ке дојде врз тебе, тој, свирејки со рака, ке те успокојува.'
17. Саул им одговори на слугите свои: 'Најдете ми човек, што убаво свири, и доведете ми го.'
18. Тогаш еден од слугите негови рече: 'Ете, јас видов кај витлеемцеот Јесеј син, кој знае да свири, човек храбар и борбен, умно говори и е убав, и Господ е со него.'
19. Саул прати известител при Јесеја и рече: 'Испрати ми го синот свој Давида, кој е при стадото.'
20. Јесеј зеде осел со леб и мешина со вино и едно јаре, па ги испрати со синот свој Давида кај Саула.
21. Давид дојде кај Саула, и се претстави пред него; тој многу му се допадна на Саула и му стана оруженосец.
22. И Саул испрати да му кажат на Јесеја: 'Нека служи Давид при мене, бидејки најде благонаколност за очите мои.'
23. И секогаш, кога духот лукав доа аше врз Саула, Давид го земаше гуслето, свиреше, и на Саула му стануваше подобро и повесело, и лошиот дух тогаш се иставаше од него.

Глава 17

1. Филистејците ги собраа војските свои за војна, се сместија во Сокхот, кој е во Јудаја, и се улогорија ме у Сокхот и Азик, во Ефес-Дамим.
2. А Саул и Израилците се собраа и се улогорија во дабовата долина и се подготвија за војна против Филистејците.
3. И застанаа Филистејците од едната страна на планината, и Израилците од другата страна на планината, а ме у нив беше долината.
4. А од Филистејскиот логор излезе маж силен, по име Голијат, од Гет; со раст од шест лакти и педа.
5. На главата имаше бакарен шлем; а беше облечен во лушпест околоп, и оклопот тежеше пет иљади сикли бакар;
6. на нозете имаше бакарни ногавици до над колената и на плеките свои - бакарен штит;
7. дршката на копјето негово беше како ткаечко кросно, а самото копје - беше од шестотини сикли железо, пред него одеше оруженосец.
8. И застана тој и викна кон Израилските војски, велејки им: 'Зошто сте излегле да војувате? Не ли сум јас Филистеец, а вие робови Саулови? Изберете си еден човек и нека слезе при мене;
9. ако тој може да се бие со мене и ме убие, ние ке ви бидеме робови; ако, пак, јас го победам и го убијам, вие ке ни бидете робови и ке ни служите.'
10. Рече уште Филистеецот: 'Денес ке ја засрамам војската Израилева; дајте ми човек, и ние двајца ке се биеме.'
11. И Саул и сите Израилци кога ги слушнаа тие зборови од Филистеецот, многу се уплашија и ужасија.
12. Давид беше син на Ефратецот од Витлеем Јудин, по име Јесеј, кој имаше осум синови; во дните на Саула тој човек достигна старост и беше најстар ме у мажите.
13. Тројцата поголеми Јесеови синови отидоа со Саула во војна; имињата на тројцата синови, што отидоа во војна, беа: најголемито се викаше Елијав, вториот по него - Аминадав, и третиот - Сама;
14. Давид, пак, беше најмал. Тројцата поголеми отидоа со Саула,
15. а Давид се беше вратил од Саула, за да ги пасе овците на таткото свој во Витлеем.
16. Оној Филистеец излегуваше наутро и се покажуваше четириесет дена.
17. И Есеј му рече на синот свој Давида: 'Земи за брката свои ефа печено жито и овие десет лебови и однеси ги што поскоро во логорот кај браката твои;
18. а овие десет пити сирење однеси му ги на иљаданачалникот и распрашај се за здравјето на браката твои и дознај за потребите нивни.'
19. Саул и сите тие Израилци се нао аа во дабовата долина и се готвеа за борба со Филистејците.
20. Давид изутрината стана рано, ги остави овците на чувар, и откако го зеде товарот, тргна, како што му беше заповедал Јесеј; и дојде при комората, кога војската беше наредена и со извици се готвеше за борба.
21. Тогаш Израилците и Филистејците се распоредија војска спроти војска.
22. Давид го остави товарот кај чуварот на комората и потрча кон редовите, дојде и ги запраша браката свои за здравје.
23. И ете, кога тој разговараше со нив, силниот човек, кому му беше името Голијат, Филистеец од Гет, излегуваше од филистејските редови и ги кажуваше истите оние зборови и Давид ги чу.
24. И сите Израилци, откако ке го видеа тој човек, бегаа од него и многу се плашеа.
25. Израилците велеа: 'Го гледате ли оној човек, што излегува? Тој излегува, за да го навредува Израилот; а кога би го убил некој, царот би го наградил со големо богатство, и би му ја дал керката своја за жена, а домот на татко му би му го направил слободен во Израилот.
26. И Давид им рече на оние, што стоеја со него: 'Што ке му направат на оној, што ке го убие

оној Филистеец и го симне срамот од Израилот? Зашто, кој е тој необрезан Филистеец, што ја навредува војската на живиот Бог?'
27. И тие му ги рекоа истите зборови, додавајки: 'Ете, тоа ке му направат на оној човек, што ке го убие.'
28. Елијав, најголемиот брат на Давида, чу што говореше тој со лу ето, и му се налути Елијав на Давида, па му рече: 'Зошто си дошол тука и на кого им ги остави оние малку овци во пустињата? Го знам јас твоето кревање на големо и твоето лошо срце; ти се дошол да ја гледаш борбата.'
29. А Давид рече: 'Па што сум направил? Не ли се тоа само зборови?'
30. Па се сврте од него кон друг и ги говореше истите зборови, а лу ато му одговараа како и порано.
31. Се слушнаа зборовите, што Давид ги говореше, и му ги соопштија на Саула, и тој повика.
32. И му рече Давид на Саула: 'Никој нека не па а со духот пред овој; твојот роб ке отиде и ке се бори против тој Филистеец.
33. А Саул му рече на Давида: 'Не можеш да одиш против Филистеецот, да се бориш против него, зашто ти се уште момче, а тој е војник уште од младини.'
34. Тогаш Давид му рече на Саула: 'Твојот слуга ги пасеше татковите си овци, и кога се случуваше да дојде лав, или мечка, и ке одвлечеше овца од стадото,
35. јас се спуштав по нив, ги напа ав и им ја одземав од устата нивна; ако, пак, тие се нафрлеа врз мене, јас ги факав за гривата, ги удирав и ги убивав;
36. лав и мечка убивал твојот слуга; а и со овој необрезан Филистеец ке стане истото, како со нив, бидејки ја навредува војската на живиот Бог. Не бива ли да одам и да го победам, за да ги снема навредите од Израилот? Зашто, кој е тој необрезан?'
37. Давид рече уште: 'Господ, Кој ме спасуваше од лавот и мечката, ке ме спаси и од рацете на овој Филистеец.'
38. Саул го облече Давида со облеката своја, му стави на главата бакарен шлем, и му надена железна облека.
39. Давид го опаша мечот негов врз облеката и се обиде да оди, бидејки никогаш не одел со такво вооружување. И Давид му рече на Саула: 'Не можам да одам со ова, не сум навикнат.' И го симна Давид сето тоа од себеси.
40. Па го зеде в рака стапот свој, си одбра пет мазни камчиња од потокот, ги стави во овчарската торбичка, што беше со него; и со торбичката и пракката во раката излезе против Филистеецот.
41. Излезе и Филистеецот, одејки и приближувајки се кон Давида, и пред него му одеше оруженосецот.
42. Погледна Филистеецот и, откако го виде Давида, со презир го изгледа, бидејки беше млад, рус и убав.
43. Филистеецот му рече на Давида: 'Зошто си тргнал против мене со стап и со камења? Да не сум куче?' Давид му одговори: 'Не, туку подолен од куче.' Филистеецот го проколна Давида со боговите свои.
44. И Филистеецот му рече на Давида: 'Приближи се до мене, и ке им го дадам телото твое на птиците небески и на ѕверовите полски.'
45. Давид му одговори на Филистеецот: 'Ти одиш против мене со меч, копје и штит, јас, пак, одам против тебе во името на Господа Саваота, Бог на Израилевата војска, која ти ја навредуваш;
46. сега ке те предаде Господ во раката моја, и јас ке те убијам, ке ја симнам од тебе главата твоја, и ке им го дадам твојот труп и труповите на филистејската војака на птиците небески и ѕверовите земни, и целата земја ке дознае, оти има Бог во Израилот;
47. и сите овие лу е ке разберат дека не со меч и копје спасува Господ, зашто тоа е војна на Господа, и Он ке ве предаде во рацете наши.'
48. Кога Филистеецот се исправи и почна да пристапува и да се приближува кон Давида,

Давид брзо се стрча кон местото на борбата против Филистеецот,
49. и бркна со раката во торбата, извади оттаму еден камен и фрли до пракката, та го удри Филистеецот в чело, така што каменот се заби во челото негово, и тој падна ничкум на земјата.
50. Така со праккa и камен го победи Давид Филистеецот; го удри Филистеецот и го уби; а Давид немаше меч во рацете.
51. Тогаш Давид се стрча и, откако стапна врз Филистеецот, зеде та го извлече мечот негов од корицата, го удри и ја пресече со него главата негова. Филистејците, кога видоа дека нивниот јунак умре, почнааа да бегаат.
52. И се кренаа мажите израилски и јудејски, викнаа и ги гонеа Филистејците до влезот во долината и до портите на Акарон. И убиваните Филистејци па аа по Шааримскиот пат до Гет и до Акарон.
53. Откако ги прогонија Филистејците, Израилевите синови се вратија и го разграбија логорот нивни.
54. Давид ја зеде главата на Филистеецот и ја однесе во Ерусалим, а оружјето го стави во шаторот свој.
55. Кога Саул го беше видел Давида како излегува против Филистеецот, тогаш го запраша Авенир, началникот на војската: 'Авенире, чиј син е тоа момче?' Авенир му одговори: 'Да ти е жива душата, царе, не знам.'
56. И царот тогаш рече: 'Ја прашај, чиј син е тоа момче?'
57. А кога ДАвид се вракаше, откако го уби Филистеецот, Авенир го зеде и го доведе при Саула, и главата на Филистеецот беше во раката негова.
58. И Саул го запраша: 'Чиј син си, момче?' Давид одговори: 'Син на твојот слуга Јесеј од Витлеем.'

Глава 18

1. Кога Давид го заврши разговорот со Саула, душата на Јонатан се приврза до душата негова, и Јонатан го засака како душата своја.
2. И тој ден Саул го задржа и не му дозволи да се врати во татковиот си дом.
3. А Јонатан склучи сојуз со Давида, бидејки го засака како душата своја.
4. Јонатан ја сметна горната облека своја, што беше на него, и му ја даде на Давида, исто така и другата облека своја, и мечот свој, и лакот свој, и појасот свој.
5. А Давид постапуваше разумно насекаде, каде и да го испратеше Саул, и Саул го направи началник над воените лу е; и тоа му се допадна на сиот народ и на слугите Саулови.
6. Кога одеа, при вракањето на Давида од победата над Филистеецот, жените од сите израилски градови излегуваа да го пресретнат царот Саул со песни, игри и радосни извици, со тимпани и кимвали.
7. И жените, што играа и пееја, говореа: Саул победи иљади, а Давид - десетици иљади!'
8. Тогаш Саул многу се огорчи, непријатни му беа тие зборови, па рече: 'На Давида му дадоа десетици иљади, а мене - иљади; му недостига само царство.'
9. И од тој ден Саул гледаше на Давида подозриво.
10. И се случи на другиот ден, лошиот дух од Бога го нападна Саула, и тој беснееше во куката своја, а Давид свиреше со раката по струните, како и во другите денови; Саул држеше во раката копје.
11. И го фрли Саул копјето, помислувајки си: ке го приковам Давида за ѕидот; но Давид двапати се истргна од него.
12. И Саул почна да се плаши од Давида, зашто Господ беше со него, а од Саула отстапи.
13. И Саул го истави од себеси и го постави за свој иљаданачалник, и тој излегуваше и влегуваше пред народот.
14. Во сите работи Давид постапуваше разумно и Господ беше со него.
15. И Саул виде дека е тој многу разумен, и се плашеше од него.
16. А целиот Израил и Јуда го сакаа Давида, зашто тој излегуваше и влегуваше пред нив.
17. Саул му рече на Давида: 'Ете, поголемата ми керка Мерова ке ти ја дадам за жена, само биди ми јунак и води ги војните Господови.' Зашто Саул си мислеше: нека не биде мојата рака врз него, туку раката на Филистејците нека биде врз него.
18. Но Давид му рече на Саула: 'Кој сум јас, и каков е животот мој и родот на татко ми во Израилот, та да станам царски зет?'
19. И кога дојде време Сауловата кека Мерова да се омажи за Давида, му ја дадоа за жена на Адриел од Мехола.
20. Но Давида го беше засакала другата Саулова керка, Мелхола, и кога му соопштија на Саула за тоа, му стана пријатно.
21. Саул си мислеше: 'Ке ја омажам за него, и таа ке му биде стапица, и раката на Филистејците ке биде врз него.' И му рече Саул на Давида: 'Денес ке се сродиш со мене преку другата.'
22. Тогаш Саул им запведа на слугите свои, велејки: 'Кажете му тајно на Давида: - ете, царот е благонаклонет кон тебе, и сите слуги негови те сакаат; затоа стани му зет на царот.'
23. И слугите Саулови ги предадоа во ушите на Давида сите тие зборови. А Давид рече: 'Зар ви се чини дека е лесно да бидеш зет на царот? Јас сум човек беден и мал.'
24. И му соопштија на Саула слугите негови и рекоа: 'Еве, што рече Давид.'
25. Тогаш Саул рече: 'Вака кажете му на Давида: царот не сака мираз, туку само сто филистејски обрезоци за одмазда на царевите непријатели.' Зашто Саул беше на мисла да го погуби Давида со рацете на Филистејците.
26. Слугите му ги соопштија на Давида тие зборови и на Давида му се свиде да му стане зет на царот.
27. Уште не беа изминале определините денови, Давид стана, тргна тој и лу ето со него, и изби

двесте души Филистејци; па ги донесе Давид нивните обрезоци, и му ги предаде на царот во полн број, за да стане зет царев. И Саул му ја даде за жена керка си Мелхола.
28. Саул виде и дозна дека е Господ со Давида и дека сиот Израил го сака, а и дека Мелхола, Сауловата керка, го сака Давида.
29. И Саул почна уште повеке да се плаши од Давида и стана негов непријател во целиот живот.
30. А кога филистејските војводи излегоа во војна, Давид уште од самото излегување нивно дејствуваше поразумно од сите Саулови слуги, и многу се прослави името негово.

Глава 19

1. Саул му говореше на синот свој Јонатана и на сите слуги свои да го убијат Давида. Но Сауловиот син Јонатан многу го сакаше Давида.
2. Јонатан му кажа на Даивда и рече: 'Татко ми Саул сака да те убие; затоа пази се утре; сокри се и биди на тајно место;
3. јас, пак, ке излезам и ке се исправам до татко ми на нивата, каде што ке бидеш ти, и ке му позборувам на татко ми за тебе; што ке разберам ке ти соопштам.'
4. Јонатан му говореше на татка си Саула добро за Давида, велејки му: 'Да не греши царот против својот слуга Давида, зашто тој во ништо не згрешил против тебе, и делата негови се многу корисни за тебе;
5. тој ја изложи душата своја на опасност за да го порази Филистеецот; и Господ изврши големо спасение за сиот Израил; ти го виде тоа и се радуваше; зашто сега сакаш да згрешиш против невина крв и да го убиеш Давида без причина?'
6. И Саул го послуша гласот на Јонатана, и се заколна Саул: 'Жими Господа, Давид нема да умре.'
7. Тогаш Јонатан го повика Давида; му ги соопшти Јонатан сите тие зборови и го доведе Јонатан Давида при Саула, и тој беше при него, како вчера и завчера.
8. Почна пак војна, и излезе Давид, пак се биеше против Филистејците, и им нанесе голем пораз, и тие бегаа од него.
9. И лош дух од Бога го нападна Саула, и тој седеше дома со копје во раката, а Давид свиреше со рака по струните.
10. Саул сакаше да го прикова Давида со копјето за ѕидот, но Давид отскокна од Саула, и копјето за забоде во ѕидот; а Давид избега и се спаси таа нок.
11. И испрати Саул слуги во куката на Давида, да го пречекаат и да го убијат до изутрината. Тогаш му рече на Давида жена му Мелхола: 'Ако не ја спасиш душата своја оваа нок, утре ке бидеш убиен.'
12. Тогаш Мелхола го спушти Давида низ прозорецот, и тој отиде, избега и се спаси.
13. А Мелхола зеде една статуа, ја стави во леглото, а на перницата стави козја кожа, и ја покри со облека.
14. И Саул испрати слуги да го фатат Давида; но Мелхола рече: 'Болен е.'
15. А Саул испрати слуги да го видат Давида, велејки: 'Донесете ми го на легло, за да го убијам.'
16. Дојдоа слугите, и ете, во леглото статуа, а на перницата козја кожа.
17. Тогаш Саул и рече на Мелхола: 'Зошто ме излага така и дозволи мојот непријател да избега?' А Мелхола му одговори на Саула: 'Тој ми рече: пушти ме, инаку ке те убијам.'
18. Давид избега, се спаси; дојде ка Самуила во Рама и му раскажа се, што прави со него Саул. И тргна со Самуила, и се запреа во Нават, во Рама.
19. И му јавија на Саула, велејки: 'Ете, Давид е во Нават, во Рама.'
20. Тогаш Саул испрати слуги да го фатат Давида, и кога тие видоа група пророци, кои пророкуваа, и Самуил, нивниот началник, духот Божји слезе врз Сауловите слуги, и тие почнаа да пророкуваат.
21. Му јавија за тоа на Саула, и тој испрати други слуги, но и тие почнаа да пророкуваат. Потоа Саул испрати и трети слуги, но и тие почнаа да пророкуваат.
22. Саул разгневен отиде сам во Рама, и дојде до глемиот извор во Сеф, и запраша, велејки: 'Каде се Самуил и Давид?' И рекоа: 'Ете, во Нават, во Рама.'
23. Тој отиде таму во Нават, во Рама, и врз него слезе духот Божји, и тој одеше и пророкуваше, додека стигна до Нават, во Рама.
24. Ја соблече и тој облеката своја, и пророкуваше пред Самуила, и целиот тој ден и целата таа нок лежеше необлечен; затоа велат: 'Зар и Саул е ме у пророците?'

Глава 20

1. Давид избега од Нават, кој е во Рама, и дојде, па му рече на Јонатана: 'Што направив јас, во што сум виновен, со што згрешив пред татко ти, та ја бара душата моја?'
2. Му одговори Јонатан: 'Не, ти нема да умреш; ете, татко ми на врши ништо, било големо, било мало, без да им јави на ушите мои; зашто татко ми ке го крие тоа од мене тоа? Тоа нема да биде.'
3. Давид се колнеше и говореше: 'Татко ти добро знае, дека јас најдов благонаклоност за очите твои, затоа си вели: 'нека не знае за тоа Јонатан, за да не се огорчи; но жив е Господ и жива е душата твоја - само еден човек има ме у мене и смртта.'
4. Јонатан му рече на Давида: 'Што сака душата твоја, јас ке го сторам тоа за тебе.'
5. Тогаш Давид му рече на Јонатана: 'Ете, утре е нов месец, и јас треба да седам со царот на трпезата; но пушти ме, и јас ке се сокријам во полето до вечерта на третиот ден.
6. Ако татко ти запраша за мене, ти кажи: 'Давид ме замоли да отиде во својот град Витлеем, зашто таму се врши годишно принесување на жртва за сиот негов род.'
7. Ако на тоа тој кажа: 'добро', твојот роб ке има мир; ако, пак, се разгневи, тогаш знај, дека тој намислил нешто лошо.
8. А ти стори милост на твојот слуга, - зашто ти го прими слугата свој во завет Господов со тебе, - и ако има некоја вина во мене, убиј ме; зошто да ме водиш кај татко ти?'
9. Јонатан одговори: 'Тоа нема да стане со тебе; зашто, ако навистина дознаам, дека татко ми решил да ти направи нешто лошо, зар нема да ти јавам за тоа?'
10. Тогаш Давид му рече на Јонатана: 'Кој ке ми соопшти, ако татко ти одговори налутено?'
11. Јонатан му рече на Давида: 'Ајде да одиме во полето.' И обајцата излегоа во полето.
12. Јонатан му рече на Давида: 'Жив Господ, Бог Израилев! Утре во ова време, или другиот ден, ке разберам од татко ми; и ако е тој балгонаклонет кон Давида, и ако јас уште тогаш не испратам при тебе и не ти јавам пред ушите твои,
13. тоа и тоа нека направи Господ со Јонатана и уште повеке да додаде зло, и тоа ке го соопштам до ушите твои, и ке те пуштам; тогаш оди си со мир, и Господ нека биде со тебе, како што беше со татко ми!
14. Но и ти, ако бидеш уште жив, направи ми милост Господова.
15. Ако, пак, умрам, не ја одземај милоста своја од домот мој никогаш, дури ни тогаш, кога Господ ке ги истреби од лицето на земјата сите непријатели Давидови.'
16. Така склучи Јонатан завет со домот Давидов и рече: 'Господ нека им врати на непријателите Давидови!'
17. Јонатан пак му се заколна на Давида во љубовта своја кон него, бидејки го сакаше како душата своја.
18. И му рече Јонатан: 'Утре е нов месец, и ке запрашаат за тебе, бидејки местото твое нема да биде зафатено;
19. затоа на третиот ден слези и оди брзо на местото, каде што се криеше порано, и седни кај каменот Азел;
20. јас, пак, ке пуштам кон таа страна три стрели, како оа стрелам во цел;
21. потоа ке испратам едно момче, на кого ке му кажам: 'оди, најди ги стрелите', и ако му кажам на момчето: - на, стрелите се зад тебе, земи ги, дојди при мене, бидејки има мир за тебе, и, жив ми Господа, нема ништо да ти стане;
22. ако, пак, му кажам вака на момчето: 'на, стрелите се пред тебе' оди си, бидејки Господ те пушта;
23. а за тоа, за кое говоревме јас и ти, Господ е сведок ме у мене и тебе засекогаш.'
24. Давид се сокри во полето. Настапи нов месец, и царот седна да руча.
25. Царот седна на местото свое, како секогаш, на седиштето до ѕидот. Јонатан стана, и Авенир седна до Саула; а местото на Давида остана празно.
26. Тој ден Саул не кажа ништо, зашто си помисли, дека е тоа случајно, дека е Давид нечист,

не се исчистил.
27. Настапи и вториот ден на новиот месец, а местото на Давида остануваше празно. Тогаш Саул му рече на синот свој Јонатан: 'Зошто синот Есеев не дојде на ручек ниту вчера, ниту денес?'
28. Јонатан му одговори на Саула: 'Давид измоли од мене да отиде во Витлеем,
29. велејќи: ‘Пушти ме, бидејќи имаме во градот родбинско принесување жртва, и брат ми ме покани; затоа, ако сум нашот благонаклоност во очите твои, да отидам и да се видам со браката свои, затоа тој и не дојде на царскиов ручек.'
30. Тогаш Саул многу се разгневи на Јонатана и му рече: 'Недостоен и непокорен сине! Зар не знам дека си се здружил со Јесеевиот син за срам, на себе си и за срам на мајка си!
31. Зашто во сите денови, додека Есеевиот син ке живее во земјата, нема да опстанеш ни ти, ни царството твое; а сега испрати и доведи го при мене, бидејќи е осуден на смрт.'
32. Јонатан му одговори на татка си Саула и му рече: 'Зошто да се убива? Што направил?'
33. Тогаш Саул фрли копје врз него, за да го убие. Тогаш Јонатан разбра, дека татко му решил да го убие Давида.
34. Јонатан стана од трпезата многу разгневен и не ручаше на другиот ден од новиот месец, зашто тагуваше за Давида, а и затоа што татко му го навреди.
35. На другиот ден изутрина Јонатан излезе на полето, во времето, што му го беше определил на Давида, и едно мало момче со него.
36. И тој му рече на момчето: 'Трчи, барај ги стрелите, што ги пуштам.' Момчето се затрча, а тој ги пушташе стрелите така, што тие летаа подалеку од момчето.
37. И момчето се затрча натаму, на каде што Јонатан ги пушташе стрелите, и Јонатан викна по момчето и рече: гледај, стрелата е пред тебе.
38. Јонатан, пак, викаше по момчето: 'Трчај побрзо, не се запирај.' И момчето ги собра Јонатановите стрели и дојде при господарот свој.
39. А момчето не знаеше ништо; само Јонатан и Давид знаеја, каква е работата.
40. Тогаш Јонатан му го даде оружјето свое на момчето, што беше со него, и му рече: 'Оди и однеси го во градот.'
41. Момчето отиде, а Давид се исправи од кон југ и падна ничкум на земјата и трипати се поклони; и се бакнаа тие еден со друг, и обајцата плачеа заедно, но Давид повеке плачеше.
42. Јонатан му рече на Давида: 'Оди со мир; а тоа, во кое се колневме двајцата во името Господово, велејќи: ‘Господ да биде ме у мене и твоето семе‘, нека биде засекогаш.'
43. Давид стана и замина, а Јонатан се врати во градот.

Глава 21

1. Давид дојде во Номва при свештеникот Авимелех, и Авимелех се збуни, кога се сретна со Давида, па му рече: 'Зошто си сам? И зошто нема никој со тебе?'
2. Давид му рече на свештеникот Авимелех: 'Царот ми даде заповед, велејки: ‘Никој нека не знае, за што сум те испратил и што сум ти порачал‘ затоа ги оставам слугите свои на определено место;
3. а сега дај ми, што имаш при рака, пет леба, или што ке се најде.'
4. Свештеникот му одговори на Давида, рече: 'Немам при рака обичен леб, туку имам свештен леб; само, ако твоите лу е се воздржале од жени, нека јадат.'
5. Тогаш Давид му одговори на свештеникот и му рече: 'Жени при нас немаше ни вчера, ни завчера, откако сум излегол, и садовите на момчињата се чисти, а ако патот е нечист, тоа лебот ке остане чист во садовите.'
6. Свештеникот му даде од свештениот леб, бидејки немаше друг леб освен лебовите на предложението, што беа земени пред лицето на Господа, та по симнувањето нивно, да се стават топли лебови.
7. Тој ден таму се нао аше еден од слугите Саулови, по име Доик, Идумеец, началник на Сауловите овчари.
8. Давид му рече на Авимелеха: 'Немаш ли тука при рака копје или меч? Зошто јас не зедов со себе ниту меч, ниту друго оружје, бидејки поракатa на царот беше набрзина.'
9. Свештеникот одговори: 'Ете го мечот на Филистеецот Голијат, кого го уби ти во дабовата долина, завиткан во платно, зад ефодот; ако сакаш, зами го: друг освен него тука нема.'
10. Давид стана и избега истиот ден од Саула, и дојде при гетскиот цар Анхус.
11. Му рекоа на Анхуса слугите негови: 'Овој ли е Давид, царот на онаа земја? Не ли му пееја нему лу ето, велејки: 'Саул порази иљади, а Давид - десетици иљади?'
12. Давид ги стави тие зборови во срцето свое и многу се плашеше од Анхуса, царот гетски.
13. Тогаш го измени лицето свое пред нив, и се преправи на безумен во очите нивни и удираше по вратите, се фрлаше на рацете свои и пушташе лиги по брадата своја.
14. Анхус им рече на робовите свои: 'Гледате, овој човек е луд; зошто сте го довеле при мене?
15. зар малку луди имам при себе, та сте го довеле да лудува пред мене? Зар тој ке влезе во куката моја?'

Глава 22

1. И Давид отиде оттаму и избега во Адоламската пештера, а кога слушнаа браката негови и
сиот татков дом негов, дојдоа таму при него.
2. Се собраа при него сите подјармени, сите должници и сите душтевно огорчени, и тој им
стана началник; и со него беа околу четиристотини души.
3. Оттаму Давид отиде во Масифа Моавска и му рече на моавскиот цар: 'Татко ми и мајка ми
нака останат при вас, додека разберам што ке направи Бог со мене.'
4. И ги доведе при моавскиот цар, и тие живееја при него за сето време додека Давид беше во
она прибежиште.
5. Но пророкот Гад му рече на Давида: 'Не останувај во ова прибежиште, туку оди, оди во
земјата Јудина.' И Давид замина и отиде во гората Херет.
6. Саул чу, дека Давид се појавил со лу ето, што беа со него. Саул тогаш седеше во Гива, под
дабот на ридот во Рама, со копје во раката, и опколен од сите свои слуги.
7. И им рече Саул на слугите свои, што беа околу него: 'Чујте, Венијаминови синови! Зар
Јесеевиот син ке ви даде на сите вас ниви и лозја и сите вас ке ве постави за иљаданачалници
и стотници,
8. та сите сте се здоговориле против мене, и никој не ми јави, кога синот ми се спријателил со
синот Јесеев, и никој од вас не ме пожали и не ми соопшти, дека син ми го поттикнал против
мене мојот слуга да ми кове стапици, како што се гледа сега?'
9. Идумеецот Доик, кој стоеше со Сауловите слуги, одговори и рече: 'Јас видов, кога Јесеевиот
син доа аше во Номва при Авимелеха, синот на Ахитува,
10. и тој го праша за него Господа, му даде храна, му го даде и мечот на филистеецот Голијат.'
11. Тогаш испрати царот да го повикаат свештеникот Авимелех, синот Ахитувов, и целиот
татков дом негов, свештениците, што беа во Номва. И сите тие дојдоа при царот.
12. Саул рече: 'Чух, сине Ахитувов!' Тој одговори: 'Еве, ме господару.'
13. А Саул го запраша: 'Зошто сте се договориле против мене, ти и Јесеевиот син, та си дал
лебови и меч и си го прашал Бога за него, за да востане против мене и да ми поставува
стапици, како што се гледа сега?'
14. Авимелех му одговори на царот и рече: 'Кој од сите твои робови е толку верен како Давид?
Тој е и царев зет, и исполнител на твоите заповеди, и почитуван во домот твој?
15. Сега за првпат ли го прашувам Бога за него? Но не обвинувај го во тоа, цару, слугата свој и
целиот мој татков дом, зашто во целата таа работа твојот слуга не знае ништо, ниту мало,
ниту големо.'
16. Но царот му рече: 'Авимелех, ти треба да умреш, ти и целиот твој татков дом.'
17. И царот им рече на телохранителите што стоеја при него: 'Одете, убијте ги свештениците
Господови, зашто и нивната рака е со Давида, и тие знаеја, дека тој избегал, а не ни јавија.' Но
царските слуги не сакаа да кренат раце, за да ги убијат свештениците Господови.
18. Тогаш царот му рече на Доика: 'Оди ти и убиј ги свештениците!' И Доик Идумеецот отиде,
ги нападна свештениците и во тој ден уби осумдесет и пет мажи, што носеа ленен ефод;
19. го порази со меч и Номва, свештеничкиот град; уби со меч мажи и жени, момчиња и
девојчиња, волови, осли и овци.
20. Се спаси само еден од синовите на Авимелеха, Ахитувовиот син, по име Авијатар, и избега
при Давида.
21. Авијатар му раскажа на Давида, дека Саул ги уби свештениците Господови.
22. А Давид му рече на Авијатара: 'Јас знаев оној ден, кога таму беше Идумеецот Доик, дека тој
бездруго ке му јави на Саула; јас сум виновен за сите души од татковиот дом твој.
23. Остани при мене, не плаши се, зашто како што ја бара душата моја, ке ја бара и твојата
душа; ти ке бидеш кај мене по заштита.'

Глава 23

1. Го известија Давида и рекоа: 'Ете Филистејците го нападнаа Кеил и ги разграбуваа гумната.'
2. А Давид го запраша Господа, велејки: да одам ли и да ги поразам ли тие Филистејци?' И Господ му одговори на Давида: 'Оди, ти ке ги поразиш Филистејците и ке го спасиш Кеил.'
3. Но оние што беа со Давида, му рекоа: 'Ете, ние се плашиме тука во Јудеја, па како ке одиме во Кеил против филистејските групи? Ние ке паднеме во ропство кај Филистејците.'
4. Тогаш Давид пак Го запраша Господа, а Господ му одговори и рече: 'Стани и оди во Кеил, зашто Јас ке ги предадам Филистејците во твои раце.'
5. И Давид отиде со лу ето свои во Кеил, се биеше со Филистејците, го отепа нивниот добиток и им нанесе голем пораз, и Давид ги спаси жителите на Кеил.
6. Кога Авијатар, Авимелеховиот син, избега при Давида и отиде со него во Кеил, тој беше донел со себеси и ефод.
7. Му јавија на Саула, дека Давид дошол во Кеил, и Саул рече: 'Бог го предаде во рацете мои, зашто тој се затвори, влегувајки во град кој има порти и резиња.'
8. И го свика Саул целиот народ во војна, за да отиде против Кеил, да го опколи Давида и лу ето негови.
9. Кога Давид дозна, дека Саул намислил лошо против него, му рече на свештеникот Авијатар: 'Донеси го ефодот Господов.'
10. Тогаш Давид рече: 'Господи, Боже Израилев! Твојот слуга чу, дека Саул сака да дојде во Кеил, и да го уништи градот поради мене.
11. Ке ме прададат ли Кеилците во рацете нигови? И ке дојде ли тука Саул, како што чу твојот слуга? Господи, Боже Израилев, јави му на слугата свој.' И рече Господ: 'Ке дојде.'
12. Давид пак праша: 'Ке ме предадат ли Кеилците мене и моите лу е во Сауловите раце?' И Господ му рече: 'Ке ве предадат.'
13. Тогаш стана Давид и лу ето негови, околу шестотини души, излегоа од Кеил и отидоа, каде што можеа. А на Сула му јавија, дека Давид избегал од Кеил, и тогаш тој го измени походот.
14. А Давид престојуваше во пустињата во непристапни места и потоа на планината во пустињата Зиф. Саул го бараше секој ден; но Бог не го предаде Давида во рацете негови.
15. И Давид виде, дека Сул излегол да ја бара душата негова; Давид тогаш беше во пустињата Зиф во гората.
16. И Сауловиот син Јонатан стана, дојде кај Давида во гората и го поткрепи со надежта на Бога,
17. и му рече: 'Не плаши се, зашто раката на татко ми Саула нема да те најде, и ти ке царуваш над Израилот, јас, пак, ке бидам втор по тебе; и Саул, татко ми, го знае тоа.'
18. Тогаш склучија ме у себе завет пред лицето на Господа; и Давид остана во гората, а Јонатан отиде во домот свој.
19. И дојдоа Зифејци при Саула во Гива и рекоа: 'Ете, Давид се крие при нас по недостапни места, во планината, на ридот Ехелат, десно од Јесимон.
20. Затоа, ако сака душата твоја, цару, дојди; а наша работа ке биде да го предадеме во рацете на царот.'
21. И рече Саул: 'Да ве благослови Господ, што сте ме пожалиле;
22. одете, уверете се уште, испитајте и разгледајте го местото негово, каде што е ногата негова, и кој го виде таму, бидејки ми велат, оти е многу итар;
23. разгледајте и испитајте за сите прибежишта, во кои се крие тој, и вратете се кај мене со точно известие; тогаш јас ке отидам со вас; и ако е во таа земја, ке го барам по сите Јудини војводства.'
24. И станаа и отидоа во Зиф пред Саула. А Давид и лу ето негови беа во пустињата Маон, во рамнината, десно од Есимон.
25. Потоа отиде Саул со своите лу е да го бара. Но му јавија на Давида за тоа, и тој слезе при карпата и остануваше во пустињата Маон. Саул чи и се пушти по Давида во пустињата Маон.

26. Саул одеше на едната страна од планината, а Давид со лу ето свои беше од другата страна на планината. И кога Давид брзаше да се оддалечи од Саула, а Саул со лу ето свои одеше да го заобиколи Давида и лу ето негови, за да ги фати,
27. тогаш дојде при Саула известувач и рече: 'Побрзај и дојди, бидејки Филстејците ја нападнаа земјата.'
28. И се врати Саул од гонењето на Давида и отиде против Филистејците; затоа и го нарекоа тоа место: Села - Хамаклекот (камен на разделба).

Глава 24

1. Потоа Давид излезе оттаму и живееше по неопасните места на Ен-Гади.
2. Кога Саул се врати од Филистејците, му јавија, велејки: 'Ете, Давид е во пустињата Ен-Гади.'
3. Тогаш Саул зеде три иљади одбрани мажи од цел Израил и отиде да го бара Давида и лу ето
негови по планините, каде што живеат дивокози.
4. И дојде кај едно овчо трло крај патат; таму имаше пештера, и Саул влезе таму по нужда; а
Давид и лу ето негови седеа во дното на пештерата.
5. И му рекоа на Давида лу ето негови: 'Еве го денот, за кој ти говореше Господ: ‘ете, Јас ке го
предадам твојот непријател во рацете твои‘ и ке сториш со него, она што ти е угодно.' Давид
стана и полека ја пресече полата на Сауловата горна облека.
6. Но потоа му стана мачно на срцето Давидово, поради тоа што ја пресече полата на
Сауловата облека.
7. И им рече на лу ето свои: 'Да не ми даде Господ да му го направам тоа на мојот господар, да
ставам рака врз него, бидејки тој е помазаник Господов.'
8. Со тие зборови ги задржа лу ето свои и не им дозволи да го нападнат Саула. А Саул стана и
излезе од пештерата на патот.
9. Потоа стана и Давид, излезе од пештерата и извика по Саула, велејки: 'Господару мој, цару!'
Саул погледна назад, и Давид падна со лицето на земјата, и му се поклони.
10. И Давид му рече на Саула: 'Зошто ги слушаш зборовите на овие лу е, што велат, ете, Давид
крои зло против тебе?
11. Ете, денес гледаат очите твои, дека Господ те предаваше во рацете мои во пештерата, и
ми говореа да те убијам, но јас те поштедив и реков: нема да кренам рака на мојот господар,
бидејки тој е помазаник на Господа.
12. Татко, погледни ја полата на облеката твоја во мојата рака, јас ја пресеков полата од
облеката твоја, а тебе не те убив; знај и увери се, дека во раката моја нема зло, ни
непријателство, и дека јас не сум згрешил спрема тебе; а ти ја бараш душата моја, за да ја
одземеш.
13. Господ нека пресуди ме у мене и тебе, и нека ти одмазди Господ за мене; но мојата рака
нема да биде врз тебе,
14. како што вели старата поговорка: - од беззаконици излегува беззаконие. - Затоа раката
моја нама да биде врз тебе.
15. Против кого излегол царот Израилски? По кого си се растрчал? По мртво куче, по една
болва.
16. Господ нека биде судија и Он нека пресуди ме у мене и тебе. Тој ке го испита делото мое и
ке ме спаси од раката твоја.'
17. Откако ги изрече Давид тие зборови кон Саула, Саул рече: 'Твојот глас ли е тоа, сине мој
Давиде?' И го крена Саул гласот свој, и плачеше
18. и му рече на Давида: 'Ти се поправ од мене, зашто ти ми врати со добро, а јас ти вракав со
зло;
19. ти го покажа тоа денес, постапувајки со мене милоситво: кога Господ ме предаваше во
рацете твои, ти не ме уби.
20. Кој, откако ке го најде непријателот свој, ке го пушти здрав и цел? Господ нека ти врати со
добро за тоа што ми го направи денес ти.
21. Сега знам, дека ти бездруго ке станеш цар, и царството Израилево ке биде силно во раката
твоја.
22. Затоа заколни ми се во Господа, дека нема да го искорениш потомството мое по мене и
нема да ги уништи името мое во татковиот дом мој.'
23. Му се заколна Давид на Саула. И Саул отиде во својот дом, а Давид и лу ето негови отидоа
во утрврдено место.

Глава 25

1. И Самил умре. Тогаш се собраа сите Израилци, го оплакаа и го погребаа во куката негова, во Рама. Давид стана и слезе кон пустињата Фаран.
2. Имаше во Маон еден човек многу богат, а имотите му беа на Кармил; тој имаше три иљади овци и иљада кози; тој беше на стрижење кај овците свои на Кармил.
3. Тој човек се викаше Навал, а жена му се викаше Авигеја. Таа жена беше многу умна и убава, а тој - жесток и лош човек; тој беше од родот Халевов.
4. Чу Давид во пустињата, дека Навал ги стриже на Кармил овците свои.
5. И Давид испрати десет момци, и им рече Давид на момците: 'Одете на Кармил, појдете кај Навала, поздравете го од мое име
6. и кажете му вака: 'Мир на тебе, мир на твојот дом, мир на се што е твое!
7. Денес чув, дека ти ги стрижат овците; ете, овчарите твои беа со нас, и ние не ги навредувавме, и ништо кај нив не се загуби за сето тоа време, додека стоеја на Кармил;
8. прашај ги слугите свои, и тие ке ти кажат; затоа нека најдат момците благонаклоност во очите твои, бидејки во добар ден дојдовме; дај им, пак, на слугите твои и на синот свој Давид она што ти се нао а при рака.'
9. Давидовите лу а отидоа и му ги кажаа на Навала од името на Давида сите тие зборови, и замолчеа.
10. Навал скокна и им одговори на Давидовите слуги и рече: 'Кој е тој Давид, кој е тој син Јесеев? Сега има многу слуги кои бегаат од господарите свои;
11. зар да ги земам лебот свој и водата своја, и виното свое и месото, што сум го приготвил за стрижачите на овците, и да им дадам на лу е, што не ги знам од каде се?'
12. И Давидовите лу е се вратија по својот пат, се вратија и дојдоа, та му ги соопштија на Давида сите тие зборови.
13. Тогаш Давид им рече на лу ето свои: 'Препашете го секој мечот свој.' И сите ги препашаа своите мечеви, го препаша и Давид мечот свој, и тргнаа по Давида до четиристотини души, а двесте оставија кај комората.
14. Но еден од слугите и јави на Авигеја, жената Навалова, велејки: 'Ете, Давид испрати од пустињата пратеници да го поздрават нашиот господар, но тој се однесе кон нив грубо;
15. а тие лу е се многу добри кон нас, не не навредуваа, и ништо не се изгуби кај нас, колку што време одевме со нив, додека бевме во полето;
16. тие беа за нас како ѕид и дење и ноке за сето време, додека ги пасевме стадата близу до нив;
17. затоа, помисли и види, што да се прави, бидејки неизбежна несрека му се заканува на господарот наш и целиот дом негов; а тој е човек лош, не може да се говори со него.'
18. Тогаш Авигеја набрзина зеде двесте леба и две мешини со вино, и пет овци зготвени, пет мери пржено жито, сто врзопки суво грозје и двесте низи смокви, и ги натовари на осли,
19. па им рече на лугите свои: 'Тргнувајте пред мене, ете, јас ке одам по вас.' А на мажот свој Навала ништо не му кажа.
20. А кога таа, седната на осел, се спушташе по падините на планината, ете, во пресрет и доа а Давид и лу ето негови, и таа се сретна со нив.
21. И Давид рече: 'Да, залудо го пазев во пустињата целиот имот на тој човек, и ништо не се изгуби од тоа, што беше негово; тој ми плака зло за добро;
22. тоа и тоа нека направи Господ со непријателите на Давида, и уште повеке да додаде, ако утре до разденување, од се што е Навалово, го оставам и она што мокри крај ѕид.'
23. Штом Авигеја го виде Давида, таа брзо слезе од оселот, падна ничкум пред Давида и се поклони до земја;
24. падна до нозете негови и рече: 'Врз мене да е гревот, господару мој; дозволи и на робинката твоја да говори во ушите твои и чуј ги зборовите на робинката твоја.
25. Нека не обрнува внимание господарот мој на тој лош човек, на Навала; зашто, како му е

името, таков е и тој: Навал му е името, и безумието е со него. А јас, твојата робинка, не ги
видов слугите на мојот господар, што си ги испратил.
26. И сега, господару мој, жив ми Господа и жива да е душата твоја! Господ нема да дозволи
да пролеваш крв, а ке ја задржи раката твоја да не се одмаздуваш; и сега нека бидат како
Навал твоите непријатели и овие, кои мислеа лошо против мојот господар.
27. Еве ги даровите што робинката твоја му ги донесе на својот господар, за да им се разделат
на момците, кои му служат на мојот господар.
28. Прости и ја вината на робинката своја; Господ бездруго ке воздигне за мојот господар
цврст дом, зашто мојот господар води Господови војни, и во текот на целиот живот твој зло
нема да се најде во тебе.
29. Ако човекот стане да те гони и да ја бара душата твоја, тоа душата на мојот господар ке
биде сврзана со јазелот на животот кај Господа, твојот Бог, а душата на твоите непријатели Он
ке ја отфрли како од пракка.
30. И кога Господ му го направи на мојот господар се она што говореше добро за тебе, и те
постави за водач на Израилот,
31. за срцето на мојот господар тоа нема да биде огорчение и неспокојство, дека не пролеал
напразно крв, и дека се воздржал од одмазда. Господ ке му направи добро на мојот господар,
и ти ке си спомниш за робинката своја и ке и направиш милост.'
32. А Давид и рече на Авигеја: 'Благословен Господ, Бог Израилев, Кој те испрати денес во
пресрет мој,
33. и благословен да биде твојот разум и благословена да бидеш ти, поради тоа што сега не ме
остави да пролевам крв и да се одмаздам за себеси.
34. Но, - жив Господ, Бог Израилев, што ме задржа да не ти направам зло, - ако не беше
побрзала и не беше дошла во пресрет мој, тоа утре до разденување јас немаше да му го
оставам на Навала ни она, што мокри крај ѕид.'
35. Тогаш Давид го зеде од рацете нејзни она што му го беше донела, и и рече: 'Оди си со мир
во домот свој; ете, го послушав гласот твој и го почитав лицето твое.'
36. Авигеја дојде кај Навала, и ете, кај него во домот негов гоштевање како царска гозба, и
срцето на Навала беше весело; тој беше многу пијан; затоа таа ништо не проговори, ни многу,
ни малку, до изутрината.
37. А изутрината, кога Навал се истрезни, и жената негова му раскажа за тоа, срцето негово
замре, и тој стана како камен.
38. По десет дена Господ го порази Навала, и тој умре.
39. Чу Давид, дека Навал умрел, и рече: 'Благословен Господ, Кој врати за срамот, што ми го
нанесе Навал, и Кој го зачува Својот слуга од зло; Господ ја сврти злобата на Навала врз
неговата глава.' И Давид испрати да и кажат на Авигеја, дека тој ке ја земе за жена.
40. И Давидовите слуги дојдоа кај Авигеја на Кармил и и рекоа вака: 'Давид не испрати кај
тебе, за да те земеме за жена.'
41. Таа стана и се поклони ничкум до земјата и рече: 'Ете, робинката твој е готова да биде
слугинка, за да им ги мие нозете на слугите на мојот господар.'
42. Авигеја се подготи набрзина, седна на осел и, придружена од пет слугинки, тргна по
пратениците на Давида и стана негова жена.
43. А Давид ја зеде и Ахиноам од Израел, та и двете му беа жени.
44. Саул, пак, му ја даде керка си Мелхола, Давидовата жена, на Фалтија, синот на Лаиша, од
Галим.

Глава 26

1. При Саула во Гива дојдоа зифејци од југ и рекоа: 'Ете, Давид се крие кај нас на ридот Ехелат, десно од Јесимон.'
2. Тогаш Саул стана, се спушти во пустињата Зиф, и со него три иљади одбрани мажи израилски, за да го бара Давида во пустињата Зиф.
3. И Саул се улогори на ридот Ехелат, десно од Јесимон, до патот; а Давид, кој се нао аше во пустињата, виде, дека Саул оди по него во пустињата;
4. и Давид испрати разузнувачи и дозна, дека Саул навистина дошол од Кеил.
5. И стана Давид и тајно отиде на местото, каде што Саул се беше улогорил, го виде Давид местото, каде што спиеше Саул и веононачалникот негов Авенир, синот Ниров. Саул спиеше во шаторот, а народот се беше сместио околу него.
6. Давид се обрна и им рече на Хетеецот Авимелех и на Авеса, синот на Саруја, Јоавов брат, велејки: 'Кој ке дојде со мене кај Саула во шаторот?' Авеса одговори: 'Јас ке дојдам со тебе.'
7. Давид дојде со Авеса кај лу ето Саулови ноке; и ете, Саул лежи заспан во царската кола и копјето му е забодено во земјата при перницата негова; а Авенир и народот лежеа околу него.
8. Авеса му рече на Давида: 'Денес Господ го предаде твојот непријател во рацете твои; затоа дозволи, јас ке го приковам со копје за земјата со еден замав и нема да го повторам ударот.'
9. Но Давид му рече на Авеса: 'Не убивај го, зашто кој кренал рака врз помазаник Господов, а останал неказнет?'
10. Давид уште рече: 'Жив е Господ. Нека го порази Господ, или ке дојде денот негов, и тој ке умре, или ке отиде во војна и ке загине; а мене да не ми дава Гсопод да кренам рака врз помазаник Господов;
11. туку земи го копјето негово, што е при перницата негова, и садот со вода, па да си одиме.'
12. Давид го зеде копјето и садот со вода при зглавјето на Саула, и си отидоа; и никој не виде, никој не дозна и никој не се рабуди, а сите спиеја, бидејки ги беше обзел сон од Господа.
13. Премина Давид од онаа страна и застана на врвот од ридот далеку, а ме у нив имаше големо растојание.
14. И викна Давид кон народот и кон Авенира, синот Ниров, велејки: 'Авенире, јави се!' Авенир се јави и рече: 'Кој си ти, што викаш и го обеспокојуваш царот?'
15. Давид му рече на Авенира: 'Нели си маж, и кој е рамен на тебе во Израилот? Зошто тогаш не го чуваш господарот свој, царот? Зашто доа аше некој од народот да го убие царот, твојот господар.
16. Ти лошо правиш; жив да е Господ! Вие заслужувате смрт, поради тоа што не го чувате господарот свој, помазаникот Господов. Види, каде е копјето на царот и садот со вода, што беа при зглевјето негово?'
17. И Саул го позна гласот на Давида и рече: 'Твојот глас ли е тоа, сине мој Давиде?' И Давид рече: 'Мојот глас е, господару мој, царе.'
18. И рече уште: 'Поради што господарот мој го гони својот слуга? Што сум направил? Какво зло најде кај мене?
19. А сега мојот господар и цар нека ги ислуша зборовите на својот слуга: 'Ако Господ те поттикнал против мене, тоа нека биде од тебе жртва; благопријатен мирис; ако, пак, - синот човечки, тогаш проклети да се од Господа, бидејки тие сега ме изгонија, за да не припа ам кон наследството Господово; велејки: - оди и служи им на ту и богови.
20. Нека не се прилее мојата крв на земјата пред Господа, зашто царот Израилев излезе да бара една болва, како кога се брка еребица по планините.'
21. Тогаш Саул рече: 'Јас згрешив; врати се, сине мој Давиде, зашто нема повеке да ти правам зло, бидејки денес душата ми беше скапа во твоите очи; безумно постапував јас и многу, многу згрешив.'
22. Давид му одговори и рече: 'Еве го копјето на царот; нека дојде еден младич и нека го земе;
23. а Господ нека му даде секому според правдата Негова и според вистината Негова, зашто

Господ го предаваше во рацете мои, но јас не посакав да кренам рака врз помазаникот Господов;
24. и, како што денес ти беше скапоцен животот твој во моите очи, така нека се цени и мојот живот во очите на Господа; Он нека ме заштитува и нека ме спаси од секаква невоља!'
25. А Саул му довикна на Давида: 'Благословен да си, сине мој Давиде; ти ке го извршиш она што си го започнал, и бездруго ке победиш.' И тогаш Давид отиде по својот пат, а Саул се врати во местото свое.

Глава 27

1. И Давид рече во срцето свое: 'Ќе паднам некогаш во рацете на Саула; за мене ништо подобро, освен да избегам во Филистејската земја; и Саул ке престане да ме бара веке по сите израилски предели, и јас ке се спасам од рацете негови.'
2. Тогаш Давид стана и отиде, тој и шестотини мажи, кои беа со него, при гетскиот цар Анхус, син Моахов.
3. и Давид живееше при Анхуса во Гет, тој и лу ето негови, секој со челадта своја; Давид и двете жени негови - Израилката Ахиноама и кармелитката Авигеја, бивша Навалова жена.
4. Му јавија на Саула, дека Давид избегал во Гет, и тој веке не го бараше.
5. И Давид му рече на Анхуса: 'Ако сум се здобил со милост во очите твои, нека ми биде дадено место во еден мал град, и јас ке живеам таму; зашто твојот роб да живее во царскиот град заедно со тебе?'
6. Тогаш Анхус му го даде градот Секелаг; затоа Секелаг и остана за царевите јудејски до денес.
7. Сето време, што Давид го помина во Филистејската земја, беше година и четири месеци.
8. И Давид излегуваше со лу ето свои и ги напа аше Јесурците и Јерзејците и Амаликијците, кои одамна ја населуваа таа земја до Сур и дури до Египетската земја.
9. И Давид ја опустошуваше таа земја и не оставаше живи ни мажи, ни жени, и заграбуваше овци и волови, и осли и камили и облека и се вракаше и доа аше при Анхуса.
10. И Анхус го праша Давида: 'Каде нападнавте денес?' Давид одговори: 'Кон југ на Јудеја, кон југ на Јерахмеел и кон југ на Кенеја.'
11. Давид не оставаше живи ни мажи, ни жени, и не ги доведуваше во Гет, велејки: 'Тие можат да не наклеветат, и да кажат: тоа и тоа го направи Давид, и такви му се постапките за сето време, додека живееше во Филистејската земја.'
12. А Анхус му се довери на Давида, велејки си: 'Тој стана намразен од народот свој Израилот и си рече ке ми биде слуга засекогаш.'

Глава 28

1. Во тоа време Филистејците ги собраа војските свои за војна, за да војуваат против Израилот. А Анхус му рече на Давида: 'Знај дека и ти ке тргнеш со мене во борба, ти и твоите лу е.'
2. Давид му рече на Анхуса: 'Сега ке дознаеш, што ке направи твојот слуга.' Анхус, пак му рече на Давида: 'Затоа ке те направам пазител на мојата глава засекогаш.'
3. Самуил беше умрел, и го оплакуваа сите Израилци и го погребаа во Рама, во неговиот град. А Саул ги беше изгонил ме епсниците и гатачите од земјата.
4. Се собраа Филстејците и отидоа, та се улогорија во Сонам; го собра и Саул сиот народ израилски и се улогорија во Гелвуја.
5. Саул го виде филистејскиот логор и се исплаши, и силно му затрепери срцето.
6. Тогаш Саул го запраша Господа; но Господ не му одговараше ни на сон ни преку урим, ни преку пророците.
7. И им рече Саул на слугите свои: 'Најдете ми жена ма епсница, и јас ке одам кај неа и ке ја прашам. И му одговорија неговите слуги: 'Тука во Аендор има жена ма епсница.'
8. И ги соблече Саул алиштата свои и облече други, и тргна тој и двајца лу е со него, и дојдоа кај жената ноке. И и рече Саул: 'Те молам, гледај ми, и извикај ми, кого што ке кажам.'
9. Но жената му одговори: 'Ти знаеш, што направи Саул, знаеш дека тој ги истера од земјата гатачите и гледачите; зошто тураш стапица на душата моја, за да ме погубиш?'
10. И Саул и се заколна во Господа, велејки: 'Жив ми Господ, нема да ти се случи ништо лошо за тоа.'
11. Тогаш жената праша: 'А кого да ти го извикам?' Тој одговори: 'Извикај ми го Самуила.'
12. И жената го виде Самуила и - високо извика; жената се обрна кон Саула и рече: 'Зошто ме излага? Ти си Саул.'
13. Царот и рече: 'Не плаши се; кажи што гледаш?' Жената одговори: 'Гледам како оа Господ излгува од земјата.'
14. 'Каков е тој на изглед?' - праша Саул. Таа одговори: 'Излегува од земјата престар маж, облечен во долга облека.' Тогаш Саул дозна, дека е тоа Самуил, падна ничкум на земјата и се поклони.
15. И Самуил му рече на Саула: 'Зошто ме обеспокојуваш да излегувам?' А Саул одговори: 'Многу ми е тешко; Филистејците војуваат против мене, а Бог отстапи и повеке не ми одговара ни преку пророци, ни на сон, ни во видение; затоа те повикав, за да ме поучиш, што да правам.'
16. Самуил одговори: 'А зошто ме прашуваш мене, кога Господ отстапил од тебе и станал твој непријател?
17. Господ ке ти го направи тоа, што го говореше преку мене: ке го одземе Господ царството од рацете твои и ке му го даде на твојот близок, на Давида.
18. Бидејки ти не го послуша гласот Господов и не го исполни Неговиот јаросен гнев врз Амалика, Господ и го врши тоа сега над тебе.
19. Господ ке го предаде Израилот заедно со тебе во филистејски раце; утре ти и твоите синови ке бидете со мене, а логорот израилски Господ ке го предаде во филистејски раце.'
20. Тогаш Саул наеднаш падна со целото тело свое на земја, бидејки многу се исплаши од зборовите на Самуила; притоа и сила немаше во него, зашто не беше јадел леб целиот тој ден и цела нок.
21. Тогаш онаа жена се приближи до Саула и виде, дека тој многу се уплашил, и рече: 'Ете, слугинката твоја го послуша гласот твој, го изложи животот свој на опасност и ја изврши заповедта, што ти ми ја даде;
22. сега, молам, послушај го и ти гласот на слугинката твоја: јас ке ти изнесам залче леб, касни си, и ке имаш сила, кога ке тргнеш на пат.'
23. Но тој откажа, велејки: 'Нема да јадам.' И почнаа да го советуваа лу ето негови, а исто така и жената; и тој го послуша гласот нивни, стана од земјата и седна на леглото.

24. А жената имаше в куки згоено теле, и побрза та го закла, заде брашно, па замеси и испече погача,
25. и им принесе на Саула и на слугите негови, и тие каснаа, станаа и заминаа истата нок.

Глава 29

1. Филистејците ги собраа сите свои добровлни чети во Афек, а Израилците се улогорија при изворот, кој е во Језраел.
2. Кнезовите филистејски врвеа со стотици и иљади, а Давид и лу ето негови одеа зад нив со Анхуса.
3. И говореа кнезовите филистејски: 'Какви се тие Евреи?' Анхус им одговараше на кнезовите филистејски: 'Зар не знаете, дека е тоа Давид, слугата на Саула, царот израилски? Тој е кај мене повеке од една година, и јас не најдов кај него ништо лошо, откако е дојден до денес.'
4. И почнаа да негодуваат против него кнезовите филистејски и му рекоа: 'Испрати го тој човек; нека си оди на местото, што си му го определил, за да не оди со нас во војна и да не стана наш противник во војната. Со што може да го смилостиви господарот свој, ако не со главите на овие наши лу е?
5. Не ли е тоа оној Давид, на кого му пееја во хоровите, велејки: Саул порази иљади, а Давид - десетици иљади?'
6. И Анхус го повика Давида и му рече: 'Жив Господ! Ти си чесен, и на очите мои би им било мило да излегуваш и да влегуваш со мене во моето војување; зашто јас не сум забележал во тебе ништо лошо, откако си дојден при мене дури до денес; но во очите на кнезовите ти не си добар.
7. Затоа, врати се сега, оди си со мир и не ги дразни кнезовите филистејски.
8. Но Давид му рече на Анхуса: 'Што сум направил и што си нашол кај твојот слуга, откако сум пред лицето твое и до денес? Зошто да не одам и да не војувам против непријателите на мојот господар, царот?'
9. Анхус му одговори на Давида: 'Биди уверен, дека во очите мои ти си добар како ангел Божји; но кнезовите филистејски рекоа: 'Нека не доа а со нас во војна.'
10. Затоа стани утре рано, ти и слугите на господарот твој, што дошле со тебе и одете во местото, што ви го определив, и немој да имаш лоша мисла во срцето свое, зашто пред мене ти си добар; станете утре рано и, што ке се раздени, одете.'
11. И Давид стана, тој и лу ето негови, за да тргнат рано изутрината и да се вратат во земјата Филистејска. А Филистејците отидоа да војуваат во Језраел.

Глава 30

1. На третиот ден, откако Давид и лу ето негови тргнаа за Секелаг; Амаликијците го нападнаа Секелаг од југ, го презедоа и го изгореа со оган;
2. жените, пак, и сите што беа во него, од мал до голем, не ги убија, туку ги одведоа во плен и отидоа по патот свој.
3. Се приближи Давид и лу ето негови до градот, и ете, тој е изгорен со оган, а жените нивни, синовите нивни и керките нивни се земени во плен.
4. Давид и народот, што беше со него, зедоа да викаат и да плачат, додека имаше сила во нив за плачење.
5. Беа земени во плен и двете жени Давидови: Ахиноама, Израилката, и Авигеја, бившата Навалова жена, Кармелитката.
6. Давид беше многу збунет, бидејки народот сакаше да го убие со камења; зашто сиот народ страдаше во душата, секој за синовите свои и за керките свои.
7. Но Давид се закрепи со надежта во Господа, својот Бог; и му рече Давида на Авијатар, син Ахимелехов: 'Донеси ми го ефодот.' И Авијатара му го однесе ефодот на Давида.
8. Давид го праша Господа, велејки: 'Да го гонам ли тоа мноштво, и ке ги стигнам ли?' А одговорот му беше: 'Гони, ке стигнеш и ке ги избавиш.'
9. И тргна Давид, тој и шестотини мажи, што беа со него; и дојдоа до потокот Восор, каде што изморените застанаа.
10. И ги гонеше Давид, тој сам со четиристотини души; а двестете души останаа, зашто немаа сила да го преминат Восорскиот поток.
11. Најдоа еден Египјанин во полето, го доведоа кај Давида, му дадоа леб, тој јаде, и го напоија со вода;
12. и му дадоа дел од низа смокви и два грозда суво грозје, и тој јадеше и се поткрепи, зашто не беше јадел леб и не беше пиел вода три дни и три ноки.
13. Тогаш Давид го праша: 'Чиј си ти и од каде си?' Тој одговори: 'Јас сум момок Египтјанец, слуга на еден Амаликиец, и мојот господар ме остави, бидејки се разболев име веке три дни;
14. ние навлеговме во јужниот дел на Хелет и во областа Јудина и во јужниот дел на Хаклев, а Секелаг го изгоревме со оган.'
15. А Давид го запраша: 'Ќе ме одведеш ли до тие лу е.' Тој одговори: 'Заколни ми се во Бога, дека нема да ме убиеш и нема да ме предадеш во рацете на господарот мој, и јас ке те одведам до тие лу е.'
16. Давид му се заколна, и тој ги поведе. И ете, Амаликијците, распрснати по целата таа земја, јадеа и пиеја и празнуваа поради големиот плен, што го беа зеле од земјата Филистејска и од земјата Јудејска.
17. И ги нападна и ги поразуваше Давид од утринските мугри до вечерта на другиот ден, и никој од нив не се спаси, освен четиристотини момчиња, што се качија на камили и избегаа.
18. И Давид одзеде се, што беа го зеле Амаликијците, ги одзеде Давид и двете жени свои,
19. и не се изгуби кај нив ништо, ни мало, ни големо, ни синови, ни керки, ни пленот, ниту нешто од она, што го беа зеле од нив Амаликијците: се врати Давид.
20. И Давид го зеде сиот ситен и крупен добиток; и неговите лу е одеа пред тој добиток и говореа: 'Ова е Давидов плен.'
21. Давид дојде кај оние двесте души, кои немаа сила да одат по нив, и кои ги беше оставил кај потокот Восор, и тие излегоа да го пречекаат Давида и лу ето, кои беа со него. Давид се приближи до тие лу е и ги поздрави.
22. Тогаш лошите и неранимајковците, што беа оделе со Давида, почнаа да зборуваат: 'Поради тоа што тие не одеа со нас, нема да им дадеме од пленот, што го одзедовме; секоја нека си ја земе само жената и децата и да си оди.'
23. Но Давид рече: 'Не правете така, брака мои, откако Господ ни го даде тоа и не зачува и ни го предаде во рацете мноштвото лу е што доа аше против нас.

24. И кој ке ве послуша во тоа? Тие не се подолни од нас. Каква е честа на оние, што одеа во војна, таква чест треба да има и за оние, што останаа кај комората; ме у сите треба да се подели.'
25. Така стана тоа, од тоа време и понатаму; и тој го постави тоа како закон и правило за Израилот до денес.
26. И дојде Давид во Секелаг и од пленот им испрати на старешините Јудини, свои пријатели, велејки: 'Ете ви подарок од пленот, земен од непријателите Господови.'
27. Им испрати и на оние, што се во Ветил и во јужен Рамот, во Јетир и во Гетор,
28. во Ариот, и во Амад, во Шифмот, и на оние во Естемоа и во Гет,
29. во Кинан, во Сафен, во Тимат и во Рахал, во градовите јерахмеелски и во градовите кенејски,
30. во Хорма, и во Хорашан, во Атах
31. и во Хервон, и по сите места, каде што Давид беше одел, тој и лу ето негови.

Глава 31

1. А Филистејците војуваа против Израилците, и мажите израилски избегаа од Филистејците и паднаа победени на планината Гелвуј.
2. Филистејците го стигнаа Саула и синовите негови; Филистејците го убија Јонатана, Аминадава и Малхиуса, Саулови синови.
3. Битката против Саула стана жестока, и стрели од лакови го поразуваа; тој беше многу ранет од стрелите.
4. Тогаш Саул му рече на оруженосецот свој: извади го мечот и заколи ме со него, да не дојдат оние необрезани и да ме убијат и да не се подигруваат со мене. Но оруженосецот не сакаше, бидејќи многу се плашеше. Тогаш Саул го зеде мечот и се фрли врз него.
5. Оруженосецот негов, кога виде дека Саул умре, и самиот падна врз мечот свој и умре со него.
6. Така умреа во тој ден Саул и трите синови негови и оруженосецот негов, а исто така и сите лу е негови заедно.
7. Израилците кои жеивееја кон долината и од оваа страна на Јордан, откако видоа, дека лу ето израилски избегаа и дека Саул умре и синовите негови, ги напуштија градовите свои и избегаа, а Филистејците дојдоа и се населија во нив.
8. На другиот ден Филистејците дојдоа да ги ограбуваа убиените и го најдоа Саула и тројцата синови, што беа паднале на Гејвулската планина.
9. Го свртеа и му ја пресекоа главата, го симнаа од него оружјето и испратија по целата Филистејска земја, да го разгласат тоа по идолските светилишта и на народот;
10. и го положија оружјето негово во идолското светилиште на Астарта, а телото негово го закачија на ѕидот Вет-Сански.
11. Жителите на Јавис Галадски слушнаа за тоа што направија Филистејците со Саула;
12. се кренаа сите силни лу е, одеа цела нок, го зедоа телото на Саула и телата на синовите негови од ѕидот Вет-Сански, дојдоа во Јавис и таму го изгореа;
13. ги зедоа коските нивни и ги погребаа под дабот во Јавис, и постеа седум дена.

# 2 Самуил

Глава 1

1. По Сауловата смрт, кога Давид се врати по разбивањето на Амаликијците и престојуваше во Секелаг два дена,
2. ете, на третиот ден доа а човек од Сауловиот логор; облеката му е испокината и на главата има прав. Штом дојде кај Давида, падна на земја и му се поклони.
3. И Давид го праша: 'Од каде доа аш?' Тој одговори: 'Избегав од Израилскиот логор.'
4. Давид го праша: 'Што стана? Раскажи ми.' А тој одговори: 'Народот се разбега од битката, и многу народ падна и изумре; умреа и Саул и синот негов Јонатан.'
5. Давид го праша момчето што му раскажуваше: 'Од каде знаеш дека Саул и синот негов Јонатан умреле?'
6. А момчето, што му раскажуваше, рече: 'Јас случајно отидов на Гелвујската гора, и ете, Саул падна врз копјето свое, а колите и коњаниците го стигнаа.
7. Тогаш тој се сврте назад и, откако ме виде, ми викна.
8. И јас реков: ‘Еве ме.‘ Тој ме праша: ‘Кој си ти?‘ Јас му одговорив: ‘Јас сум Амаликиец.‘
9. Тогаш тој ми рече: ‘Дојди кај мене и убиј ме, зашто смртна тага ме опфатила, но душата моја се уште е во мене.‘
10. И јас се приближив до него и го убив, бидејки знаев, оти тој нема да остане жив по па ањето свое; и го зедов царскиот венец, што беше на главата негова, и гривната, што беше на раката негова, и ги донесов тука на господарот свој.'
11. Тогаш Давид се фати за облеката своја и ја раскина, исто така и сите лу е, што беа со него, ги раскинаа алиштата свои,
12. и липаа, и плачеа и постеа до вечерта за Саула и за синот негов Јонатан, и за народот Господов и за домот Израилев, поради тоа што беа загинале од меч.
13. Давид, пак, го запраша момчето, што му раскажуваше: 'Ти од каде си?' А тој му одговори: 'Јас сум син на еден придојден Амаликиец.'
14. Тогаш Давид му рече: 'Како не се исплаши да кренеш рака, за да убиеш помазаник Господов?'
15. И Давид повика еден од момците и му кажа: ‘Дојди и убиј го!‘ И оној го уби, и тој умре.
16. И Давид му рече: 'Твојата крв нека биде врз главата твоја, бидејки твојата уста сведочеше против тебе, кога велеше: ‘Го убив помазаникот Господов.‘
17. Потоа Давид го оплака Саула и синот негов Јонатана со оваа плачевна песна,
18. заповедајки им на синовите Јудини да научат да фрлаат лак, како што е напишано во книгата на праведникот, и рече:
19. 'Твојата убавина, о Израиле, е погубена врз твоите височини! Како паднаа силните!
20. Не раскажувајте во Гет, не разгласувајте по улиците на Аскалон, да не се радуваат керките филистејски, да не ликуваат керките на необрезаните.
21. Гори Гелвујски, да не па а на вас ни роса, ни дожд, ниту да има по вас полиња со плодови, зашто таму е фрлен штитот на Саула, како да не беше тој помазан со елеј.
22. Без крв од ранети, без мрс од силни, лакот Јонатанов не се вракаше назад, ниту мечот Саулов се вракаше празен.
23. Саул и Јонатан, сакани и сложни во животот свој, не се разделија ни во смртта своја; тие беа побрзи од орлите, послини од лавовите.
24. Керки Израилеви, плачете за Саула, кој ве облкуваше во пурпурна обека со украси и ги китеше со златни накити облеките ваши!
25. О, како паднаа силните во борбата! Загина Јонатан на твоите височини.
26. Жалам за тебе, брате Јонатане; ти ми беше многу мил; твојата љубов за мене беше поголема од женската љубов.
27. Како паднаа силните, како загина бојното оружје!'

Глава 2

1. Потоа ДАвид Го праша Господа, велејќи: 'Да отидам ли во некој од Јудините градови?' И Господ му рече: 'Оди.' Давид пак праша: 'Каде да одам?' И Он му рече: 'Оди во Хеврон.'
2. И Давид отиде таму со двете жени свои: Израелката Ахиноама и Камелитката Авигеја, бивша Навалова жена.
3. Давид ги одведе и лу ето, што беа со него, секој со челадта своја, и се населија во градот Хеврон.
4. И дојдоа мажите Јудини и таму го помазаа Давида за цар над Јудиниот дом. Тогаш му јавија на Давида, дека жителите од Јавис Галадски го погребале Саула.
5. И Давид испрати претеници до жителите на Јавис Галадски да им кажат: 'Благословени да сте пред Господа, поради тоа што ја направивте таа милост на господарот свој Саула, помазаникот Господов, и што сте го погребале и синот негов Јонатана;
6. и Господ нека ве награди со милост и вистина; и јас ке ви направам добро, поради тоа што го направивте вие ова.
7. А сега нека се зацврстат рацете ваши и бидете храбри, зашто господарот ваш Саул умре, и домот Јудин ме помаза мене за цар над себеси.'
8. Но Авенир, Нировиот син и војвода над Сауловата војска, го зеде Јевостеја, Сауловиот син, го одведе во Маханаим,
9. и го постави за цар над Галад, Ашур и Језраел, над Ефрема и Венијамина и над сиот Израил.
10. А Јевостеј, Сауловиот син, беше на четириесет години, кога се зацари над Израилот, и царуваше две години. Само Јудиниот дом остана со Давида.
11. Сето време, во кое Давид царуваше во Хеврон над Јудиниот дом, беше седум години и шест месеци.
12. Потоа отиде Авенир, Нировиот син, и слугите на Сауловиот син Јевостеј, од Маханаим во Гаваон.
13. Излезе и Јоав, синот Саруев, со Давидовите слуги и се сретнаа при Гаваонскиот поток, и застанаа еден од едната страна на потокот, а другиот - од другата страна на потокот.
14. А Авенир му рече на Јоава: 'Нека станат момците и нека се борат пред нас.' И Јоав рече: 'Нека станат.'
15. И станаа, та отидоа дванаесет Венијаминци од страната на Јевостеја, Сауловиот син, и дванаесетте Давидови слуги.
16. И тие се фатија еден со друг за главите, си забија еден на друг меч во слабините и паднаа заедно. И тоа место беше наречено Хелкат-Хасурим, кое е во Гаваон.
17. И во оној ден стана многу жестока борба, а Авенир со Израилските лу е беше победен од Давидовите слуги.
18. Таму беа тројца синови Саруеви: Јоав, Авеса и Асаил. А Асаил беше со лесни нозе, како срна во полето.
19. Асаил почна да го гони Авенира и го гонеше, а да не скршнува ни десно, ни лево од стапките на Авенира.
20. Авенир се сврте назад и рече: 'Ти ли си, Асаиле?' Тој одговори: 'Јас сум.'
21. И Авенир му рече: 'Скршни десно или лево, избери си еден од момците и земи го неговото оружје.' Но Асаил не сакаше да го остави.
22. И Авенир повторно му рече на Асаила: 'Остави ме, да не те соборам на земја; со какво лице тогаш ке се јавам пред братот твој Јоава?'
23. Но оној не сакаше да отстапи. Тогаш Авенир го сврти копјето и го прободе во стомахот; копјето мина низ него, и тој падна таму и умре на местото. Сите што минува низ тоа место, каде што беаше паднал и умрел Асаил, застануваа.
24. Јоав и Авеса го гонеа Авенира. Сонцето веке беше зајдено кога стигнаа до ридот Ама, спроти Гај, на патот за Гаваонската пустиња.
25. А Венијаминовите синови се собраа околу Авенира и образуваа чета и застанаа на врвот од

еден рид.
26. И Авенир извика кон Јоава и рече: 'Вечно ли меч ке истребува? Или не знаеш, дека подоцнежните ке бидат горчливи? И кога ке им кажаш на лу ето да престанат да ги гонат браката свои?'
27. А Јоав рече: 'Жив Бог! Ако ти не говореше поинаку, уште ова утро лу ето сакаа да престанат да ги гонат браката свои.'
28. И Јоав затруби со труба и сиот народ застана, и повеке не ги гонеа Израилците; битката престана.
29. Авенир, пак, и лу ето негови врвеа преку полето цалата нок, го преминаа Јордан, минаа преку целиот Витрон и стигнаа во Маханаим.
30. Се врати и Јоав од гонењето на Авенира и го собра сиот народ, а од Давидовите слуги, освен Асаила, недостигаа деветнаесет души.
31. А Давидовите слуги ги поразија Венијаминовите и Авенировите лу е, од кои паднаа триста и шеесет души.
32. И го зедоа Асаила и го погребаа во Витлеем, во татковиот му гроб. А Јоав со лу ето свои одеше цела нок и во зорите стигна во Хеврон.

Глава 3

1. Борбата ме у Сауловиот дом и Давидовиот дом траеше долго. Давид се повеке се засилуваше, а Сауловиот дом се повеке ослабнуваше.
2. На Давида му се родија синови шест во Хеврон. Првороден му беше Амион од Израелката Аиноама,
3. а вториот син му беше Далуја од Кармелитката Авигеја, бивша Навалова жена; третиот - Авесалом, син на Мелха, керка на Толми, гесурскиот цар;
4. четвртиот - Адонија, син на Агита; петтиот Сафатија, син Авиталинов;
5. шестиот Јетерам од Егла, Давидова жена. Тие му се родија на Давида во Хеврон.
6. И додека траеше борбата ме у Сауловиот дом и Давидовиот дом, Авенир го поддржуваше Сауловиот дом.
7. Саул имаше наложница, по име Рисфа, керка на Аја. И Авенир влезе при неа. И му кажа Јевостеј на Авенира: 'Зошто влезе при татковата ми наложница?'
8. Авенир многу се налути од зборовите на Јевостеја и рече: 'Зар сум јас песја глава? Јас денес направив милост кон домот на татко ти Саула, кон браката негови и пријателите нагови против Јуда, и не те предадов во рацете на Давида, а ти сега заради една жена бараш во мене грев!
9. Господ нека му напраи тоа и тоа на Авенира, и уште повеке да му додаде! Како што Господ му се заколна на Давида, така и нека направи денес за него:
10. Нека се одземе царството од Сауловиот дом и да се постави Давид на престолот над Израилот и над Јуда, од Дан до Вирсавија.'
11. И Јевостеј не можеше ништо повеке да му одговори на Авенира, бидејки се плашеше од него.
12. А Авенир испрати од своја страна пратеници до Давида во Хеврон, каде што се нао аше, да кажат: 'Чија е оваа земја?' и да му кажат уште: 'Склучи сојуз до мене, и раката моја ке биде со тебе, за да го свртам кон тебе сиот израилски народ.'
13. Давид му одговори: 'Добро, ке склучам со тебе сојуз, само за едно те молам, односно - ти нема да го видиш лиицето мое, ако не ја доведеш со себе Мелхола, Сауловата керка, кога ке дојдеш да се видиш со мене.'
14. Тогаш Давид испрати пратеници до Јевостеја, Сауловиот син, да му кажат: 'Врати ја жена ми Мелхола, која ја добив за сто филистејски краеобрезоци.'
15. Тогаш Јевостеј испрати, та ја зеде од мажот нејзин Фалтија, Лаишев син.
16. Со неа тргна и мажот нејзин и со плачење ја придружи до Бахурим; но Авенир му рече: 'Врати се!' И тој се врати.
17. Авенир се обрна кон старешините Израилеви, велејки: 'И вчера и завчера вие сакавте Давид да ви биде цар;
18. направете го тоа сега, зашто Господ му рекол на Давида: 'Преку раката на Мојот слуга Давида ке го спасам народот свој Израил од раката на Филистејците и од раката на сите непријатели негови.'
19. Истото им го говореше Авенир и на Венијаминовците. И отиде Авенир во Хеврон, за да му јави на Давида се, што сака Израил и целиот Венијаминов дом.
20. Авенир дојде при Давида во Хеврон и заедно со него дваесет мажи, а Давид ги нагости Авенира и лу ето, што беа со него.
21. Авенир му рече на Давида: 'Ке станам и ке одам да го соберам околу господарот свој сиот израилски народ, и тие ке стапат во завет со тебе, и ти ке царуваш над сите, како што сака душата твоја.' Тогаш го отпушти Авенира, и тој си отиде со мир.
22. И ете, Давидовите слуги задно со Јоава се вратија од походот и донесоа со себе голем плен; но Авенира го немаше веке при Давида во Хеврон, зашто Давид го беше испратил, и тој си беше отишол со мир.
23. Кога Јоав и сета војска, што беше одела со него, дојдоа, му раскажаа на Јоава: доа аше

Авенир, Нировиот син, при царот, и тој го испрати, и тој си отиде со мир.
24. И Јоав дојде при царот и рече: 'Што си направил? Ете, Авенир доа ал при тебе, зошто си го испратил и тој си отишол?
25. Ти го знаеше Авенира, Нировиот син: тој доа а да те излаже, да дознае, каде влегуваш и каде излегуваш, и да извиди се што вршиш.'
26. Јоав излезе од Давида и испрати брзоотци по Авенира; и тие го вратија од кладенецот Сира, без да знае Давид.
27. Кога Авенир се врати во Хеврон, Јоав го одведе внатре зад вратата, божем ке зборува со него тајно, и таму го прободе во стомакот. И Авенир умре за крвта на Асаила, Јоавовиот брат.
28. Подоцна, кога чу Давид за тоа, рече: 'Не сум виновен јас ниту царството мое пред Господа засекогаш за крвта на Авенира, Нировиот син;
29. нека падне таа врз главата на Јоава и врз целиот негов татков дом; во домот на Јоава секогаш нека има човек со семетечение, или лепрозен, или што се потпира на стап, или кој па а од меч, или кој има потреба од леб.'
30. А Јоав и братот негов Авес го убија Авенира, поради тоа што тој го уби братот нивни Асаил во битката при Гаваон.
31. И Давид му рече на Јоава и на сите лу е, што беа со него: 'Раскинете ги алиштата свои и облечете се во врекишта и оплакувајте го Авенира.' И царот Давид одеше по носилката негова.
32. Кога го погребаа Авенира во Хеврон, царот плачеше со висок глас над Авенировиот гроб; плачеше и сиот народ.
33. И царот го оплака Авенира, со оваа тажачка: 'Зар како безумник требаше да умре Авенир?
34. Рацете твои не беа врзани, нозете твои не беа оковани; и ти падна, како што па аат од разбојници.' Тогаш целиот народ почна уште повеке да го оплакува.
35. Тогаш сиот народ дојде да му поднесе на Давида леб, додека уште не беше се стемнило, но Давид се заколна, велејки: 'Нека ми напарви Бог тоа и тоа и уште повеке да ми направи, ако каснам леб или нешто друго до зајдисонце.'
36. И целиот народ дозна за тоа, и тоа му се допадна, и се што правеше царот, му се допа аше на сиот народ.
37. Тој ден целиот народ и сите Израилци дознаа, дека убиството на Авенира, Нировиот син, не станало од царот.
38. Тогаш царот им рече на слугите свои: 'Знаете ли, дека денес еден водач и голем маж падна во Израилот?
39. Јас сум сега уште слаб, иако сум помазан за цар, а тие лу е, Саруевите синови, се посилни од мене; но на оној, кој што прави зло, Господ да му врати според злобата негова.'

Глава 4

1. Сауловиот син Јевостеј, откако чу, дека Авенир умрел во Хеврон, му отпаднаа рацете, и целиот Израил се збуни.
2. Сауловиот син имаше двајца воени началници; едниот се викаше Вана, а другиот - Рихав, синови на Вееротеецот Ремон, од Венијаминовите потомци, бидејки и Веерот се вбројуваше кон Венијамина.
3. И Вееротците избегаа во Гитаим и таму останаа како придојдени до денес.
4. Јонатан, Сауловиот син, имаше син куц. Синот беше на пет години, кога од Израил дојде известување за Саула и Јонатана, а хранителката, откако го зела, избегала. Бидејки таа бегала брзо, тој паднал и останал сакат. Името му беше Мемфивостеј.
5. И синовите на Вееротеецот Ремон, Рихав и Вана, тргнаа и стигнаа по најголемата дневна горештина до куката на Јевостеј, којшто спиеше попладне во леглото свое.
6. А вратарот на куката, кој чистеше пченица, беше задремал и заспал; Рихав и братот негов Вана влегоа во куката, оа да земат пченица, го прободоа во стомахот и избегаа.
7. Кога тие влегоа во куката, Јевостеј лежеше на леглото свое, во својата спална; тие го удрија и го убија; ја пресекоа главата негова, ја зедоа со себе и цела нок одеа по пустињскиот пат;
8. му ја донесоа на Давида во Хеврон Јевостеевата глава и му рекоа на царот: 'Еве ја главата на Јевостеј, синот на Сула, твојот непријател, којшто ја бараше душата твоја; сега Господ се одмазди за мојот господар - царот Саула (твојот непријател) и на потомството негово.
9. Давид му одговори на Рихава и на братот негов Вана, синови на Вееротеецот Темон, и им рече: 'Жив е Господ, Кој ја спаси душата моја од секаква жалост!
10. Ако тогаш, којшто ми донесе известување, велејки: 'Ете, умре Саул и Јонатан', и којшто се мислеше за радосен известител, јас го фатив и го убив во Секелаг, неместо да му дадам награда,
11. тоа сега, кога невредници убија невин човек во куката негова, во неговото легло, зар нема да ја побарам крвта негова од вашата рака и нема да ве истребам од земјата?'
12. И Давид им заповеда на слугите, и тие ги убија, им ги пресекоа рацете и нозете нивни и ги обесија крај базенот за вода во Хеврон. А Јевостеевата глава ја зедоа и ја погребаа во гробот на Авенир во Хеврон.

Глава 5

1. Тогаш сите Израилеви племиња дојдоа кај Давида во Хеврон и рекоа: 'Ете, ние сме твои коски и твоја плот;
2. уште вчера и завчера, додека царуваше Саул над нас, ти го изведуваше и го воведуваше Израилот; и Господ ти рече: ‘Ти ке го пасеш Мојот народ, Израилот, и ти ке бидеш водач на Израилот.‘'
3. Тогаш сите Израилеви стерешни дојдоа кај царот во Хеврон, и царот Давид склучи со нив завет пред Господа во Хеврон; и го помазаа Давида за цар над сиот Израил.
4. Давид беше на триесет години, кога се зацари; тој царуваше четириесет години.
5. Во Хеврон царуваше над Јуда седум години и шест месеци, а во Ерусалим царуваше триесет и три години над целиот Израил и над Јуда.
6. Царот тргна за Ерусалим заедно со лу ето свои против Евусејците, жители од оној крај; но тие му велеа на Давида: 'Ти нема да влезеш тука; слепите и сакатите ке те избркаат', - тоа значеше: Давид нема да влезе тука.
7. Но Давид ја презеде тврдината Сион: Тоа е Давидовиот град.
8. Тој ден Давид рече: 'Секој, убивајки Евусејци, нека поразува со копје и сакати и слепи, што ја мразат душата Давидова.' Затоа и се вели: 'Слеп и сакат нема да влезе во домот Господов.'
9. И Давид се насели во тврдината, и ја нарече Давидов град, и изгради наоколу ѕид од крајот, па се до внатре.
10. И Давид напредуваше и се воздигаше, и Господ Бог Саваот беше со него.
11. Тирскиот цар Хирам испрати при Давида пратеници и кедрово дрво, дрводелци и каменоделци, и тие му изградина на Давида дом.
12. Давид разбра, дека Господ го одредил за цар над Израилот и го воздигнал царството негово заради Својот народ, Израилот.
13. Давид си зеде уште наложници и жени од Ерусалим, откако дојде од Хеврон.
14. И му се родија на Давида уште синови и керки. Еве ги имињата на оние, што му се родија во Ерусалим: Самус, Совав, Натан и Соломон,
15. Евеар, Елисуа, Нафек, и Јафија,
16. Елисама, Елидае, и Елифалет, Самае, Јосиват, Натан, Галиман, Еваар, Теисус, Елифалат, Нагев, Нафек, Јонатан, Леасамис, Валимат и Елифат.
17. Кога Филистејците слушнаа, дека Давид е помазан за цар на Израилот, сите Филистејци се кренаа да го бараат Давида. Давид чу и отиде во тврдината.
18. А Филистејците дојдоа и се сместија во Рефаимската долина.
19. И Давид го запраша Господа, велејки: 'Да одам ли против Филистејците? Ќе ги предадеш ли во рацете мои?' А Господ му одговори на Давида: 'Оди, зашто Јас ке ги предадам Филистејците во рацете твои.'
20. Тогаш Давид отиде во Ваал - Перасим и таму ги порази, и рече Давид: ‘Господ ги однесе пред мене непријателите мои, како вода што однесува.‘ Поради тоа и она место се нарече Ваал - Перасим.
21. Таму Филистејците ги оставија идолите свои, а Давид со лу ето свои ги зеде и заповеда да ги изгорат со оган.
22. Филистејците, пак, дојдоа и се улогорија во Рефаимската долина.
23. А Давид Го праша Господа: 'Да одам ли против Филистејците, и ке ги предадеш ли во рацете мои?' Господ му одговори: 'Немој да им излегуваш во пресрет, туку заобиколи ги одзади и нападни ги откај горичката на црници.
24. Кога ке чуеш шум како да минува некој по врвовите на црниците, тогаш појди, зашто тогаш Господ тргнал пред тебе, за да ја порази филистејската војска.'
25. Давид направи како што му заповеда Господ, и ги порази Филистејците од Гаваја до Гезер.

Глава 6

1. Давид пак собра избрани лу е од Израилот, триесет иљади.
2. Па стана и тргна Давид и сиот народ, што беше со него, од Ваал Јудин, за да го пренесе оттаму Божјиот ковчег, над кој се повикува името на Господа Саваот, Кој седи на херувими.
3. И го поставија Божјиот ковчег на нова кола и го изнесоа од Аминадавовата кука, која беше на ридот. А синовите Аминадавови, Оза и Ахио ја водеа новата кола.
4. Ја поведоа со Божјиот ковчег од Аминадавовата кука, која беше на ридот; и Ахио одеше пред Ковчегот Господов.
5. А Давид и сите синови Израилеви свиреа пред Господа на различни свирки од кипарисово дрво, на гусли, на псалтири, на тимпани, на цитри и на кимвали.
6. И кога дојдоа до Нахаровото гумно, Оза посегна со раката кон Божјиот ковчег за да го придржи, и се фати за него, бидејки воловите го беа наведнале.
7. Но Господ се разгневи на Оза, и за дрскоста Бог го порази на истото место, и тој умре таму при Божјиот ковчег.
8. Давид се нажали поради тоа што Господ го порази Оза. Тоа место и до сега се нарекува Озов пораз.
9. Тој ден Давид се исплаши од Господа и рече: 'Како ке дојде кон мене Ковчегот Господов?'
10. И Давид не сакаше да го пренесе Ковчегот Господов кај себе, во Давидовиот град, и го остави во куката на Гетеецот Аведар три месеци, и Господ го благослови Аведара и целиот негов дом.
11. И остана Ковчегот Господен во домот на гетеецот Аведар три месеци; и Господ го благослови Аведара и сиот негов дом.
12. Кога му јавија на цар Давида и му рекоа: 'Господ го благослови Аведаровиот дом и се што е во него, поради Божјиот ковчег', Давид отиде и свечено го пренесе Божјиот ковчег од Аведаровата кука во Давидовиот град.
13. И штотуку оние, што го носеа ковчегот Господов, изминаа шест чекори, тој принесуваше жртва по едно јунче и по еден овен.
14. Давид скокаше со сета сила пред Господа, а беше облечен со ленен ефод.
15. Така Давид и целиот Израилев дом го носеа ковчегот Госпдов со извици и звуци од труба.
16. Кога Ковчегот Господов влегуваше во Давидовиот град, Мелхола, Сауловата керка, гледаше од прозорецот нејзин и, откако го виде царот Давида како скока и игра пред Господа, го презре во срцето свое.
17. Го донесоа Ковчегот Господов и го поставија на местото негово среде скинијата, која Давид ја беше направил за него: и Давид принесе сепаленици пред Господа и мирни жртви.
18. Кога Давид заврши со принесувањето сепаленици и мирни жртви, тој го благослови народот во името на Господа Саваот;
19. и му раздаде на сиот народ, на целото множество Израилци од Дан дури до Вирсавија, и на мажи и на жени, на секого по еден леб, по парче печено месо и по еден колач од суво грозје. Потоа сиот народ се разотиде, секој во куката своја.
20. Кога се врати Давид, за да го благослови домот свој, Мелхола, Сауловата керка, излезе да го пречека и му рече: 'Колку се прослави денес царот Израилев, разголувајки се пред очите на слугинките од слугите свои, како што се разголува прост човек.'
21. А Давид и одговори на Мелхола: 'Пред Господа ке играм; и благословен е Господ, Кој ме претпостави пред татко ти твој и пред целиот дом негов, поставувајки ме за водач на народот Господов, Израилот; пред Господа ке свирам и ке играм;
22. и уште повеке ке се понизам, и уште победен ке станам пред очите свои, и при сето тоа, пред слугинките, за кои што говориш, јас ке бидам славен.'
23. А Мелхола, Сауловата керка, остана без рожба до денот на смртта своја.

Глава 7

1. Кога царот живееше во својот дом, и Господ го беше успокоил од сите негови околни непријатели,
2. тогаш царот му рече на пророкот Натан: 'Ете, јас живеам во кедров дом, а Божјиот ковчег стои под шатор.'
3. А Натан му одговори на царот: 'Оди, прави се, што ти е на сеце, зашто Господ е со тебе.'
4. Но во истата нок дојде ова слово Господово кон Натана:
5. 'Оди, кажи му на мојот слуга Давида: Вака говори Господ: ‘Ти ли ке Ми изградиш дом, за да живеам во него,
6. кога Јас не сум живеел во дом, откако ги изведов синовите Израилеви од Египет, и до денес но минував во шаторот и во скинијата.
7. Каде и да одев со сите синови Израилеви, му кажав ли барем еден збор на некое од племињата, на кое сум му наложувал да го пасе Мојот народ Израилот: зошто не ми изградивте кедров дом?‘
8. А сега, кажи му така на мојот слуга Давида: Вака вели Господ Саваот: ‘Јас те зедов од овчото стадо, за да бидеш водач на Мојот народ Израилот;
9. и секогаш бев со тебе, каде и да одеше, ги истребував од пред лицето твое сите твои непријатели, и го возвеличував името твое, како името на големите лу е на земјата.
10. Јас ке одредам место за Мојот народ, за Израилот, ке го утврдам, и тој спокојно ке живее на местото свое и нема повеке да се обеспокојува, и нечестиви лу е нема повеке да го измачуваат, како порано,
11. кога Јас определив судии над својот Израил; и Јас ке те успокојам од сите твои непријатели. И Господ те известува, дека Он ке ти подигне дом.
12. А кога ке завршат твоите дни, и ти ке починеш кај татковците свои, Јас ке го воздигнам по тебе твоето семе, што ке произлезе од твоите бедра, и ке го зацврстам царството негово.
13. Тој ке изгради дом на името Мое, и Јас ке го утврдам престолот на царството негово засекогаш.
14. Јас ке му бидам татко, и тој ке Му биде син; и ако згреши, ке го казнам со стап човечки и со удари на синови човечки;
15. но милоста Своја нема да ја кренам од него, како што ја кренав од Саула, кога Јас го отфрлив пред лицето твое.
16. И ке биде непоколеблив твојот дом и твоето царство засекогаш пред лицето Мое, и престолот твој ке остане засекогаш.'
17. Сите овие зборови и целото тоа видение Натан му го кажа на Давида.
18. Тогаш отиде цар Давид, застана пред лицето на Господа, и рече: 'Кој сум јас, Господи, и што е домот мој, та толку ме возвеличи!
19. Па и тоа дури се покажа малку во Твоите очи, Господи мој, Господи; но Ти извести уште за домот на Твојот слуга далечна иднина. Тоа е веке по човечки, Господи мој, Господи!
20. Што уште може да ти каже Давид? Ти го познаваш Твојот слуга, Господи мој, Господи!
21. Ти го правиш ова заради зборот Свој и по срцето Свое, откривајки му ги на слугата Свој сите големи работи.
22. Во се си голем Ти, Господи мој, Господи, зашто нема сличен на Тебе и нема Бог, освен Тебе, по се што сме слушале со ушите свои.
23. И кој е подобен на Твојот народ Израил, единствен народ на земјата, за кој доа ал Бог да Си го придобие за народ, да го прослави името Свое и да изврши големи и страшни чуда пред Својот народ, кој Ти си го придобил од Египтјаните, прогонувајки ги народите и боговите нивни?
24. И Ти го одреди за Себе Твојот народ Израилот како Свој сопствен народ засекогаш, и Ти, Господи, стана негов Бог.
25. А сега, Господи Боже, утврди го засекогаш зборот, што си го изрекол за Твојот слуга и за

домот негов, и исполни го, она што си го изрекол.
26. Нека се возвеличи името Твое засекогаш, та да велат: ‘Господ Саваот е Бог над Израилот.‘ И домот на Тојот слуга Давида да биде цврст пред Твоето лице.
27. Бидејки Ти, Господе Саваоте, Боже Израилев, му откри на Твојот слуга, велејки: ‘Ќе ти воздигнам дом‘, Твојот слуга го подготви срцето свое да Ти се моли со таа молитва.
28. И така, Господи мој, Господи! Ти си Бог, и Твоите зборови се неизменливи, и Ти му вети на Твојот слуга големо добро.
29. А сега благослови и благослови го домот на Твојот слуга, та тој да биде вечно пред Твоето лице, зашто Ти, Господи мој, Господи, го објави тоа, и со Твојот благослов домот на Твојот слуга ке стане благословен за да биде пред Тебе засекогаш.'

Глава 8

1. Потоа Давид ги порази Филистејците и ги покори; и го одзеде Давид Метег-Гама од рацете на Филистејците.
2. Ги порази и Моавците и ги измери со јажиња, откако ги легна на земја: измери две јажиња за убивање, едно јаже за оставање живи. И Моавците му станаа робје на Давида, му плакаа данок.
3. Давид го порази Адраазара, син на суваскиот цар Рехов, кога тој одеше да ја прошири власта своја при реката Еуфрат;
4. и зеде Давди од него иљада и седумстотини коњаници и двесте иљади пешаци; и им ги пресече Давид жилите на сите колски коњи, оставајки од нив само за сто коли.
5. Дојдоа Сиријци од Дамаск да му помогнат на суваскиот цар Адраазар; но Давид порази дваесет и две иљади Сиријци.
6. Тогаш Давид постави стража во Сирија под Дамаск, и Сиријците му станаа на Давида робови и му плакаа данок. А Господ го чуваше Давида насекаде, каде ке отидеше тој.
7. Потоа Давид ги зеде златните гривни, што ги носеа Адраазовите слуги, и ги донесе во Ерусалим. Нив подоцна ги зеде египетскиот цар Сусаким, кога го нападна Ерусалим, во дните на Соломоновиот син Ровоам.
8. А од Вет и Берот, Адраазаровите градови, цар Давид зеде многу бакар, од кој Соломон направи бакарно море, столбови, мијалници и сите садови.
9. Кога иматскиот цар Тоа чу, дека Давид ја поразил целата Адраазарова војска,
10. и Тоа го испрати синот свој Јорама при царот Давида да го поздрави и да му благодари, поради тоа што војувал против Адраазара и го поразил; бидејки Адраазар војуваше со Тоа. А во рацете Јорам имаше сребрени, златни и бакарни садови.
11. Цар Давид ги посвети и нив на Господа, заедно со среброто и златото, кое го посвети од она, што го беше одзеле од сите народи, кои ги беше покорил:
12. од Сиријците, Моавците, Амонитите, Филистејците и Амаликијците, и од она, што беше одземено од Адраазара, синот на суваскиот цар Рехов.
13. И Давид се прослави, вракајки се од поразот на осумнаесет иљади Сирийци во Солената долина.
14. Тој постави стражи во Идумеја; постави стражи по цела Идумеја; и сите Идумејци му станаа на Давида робови. И Господ го чуваше Давида, каде и да отидеше тој.
15. Така царуваше Давид над сите Израилци, судеше и делеше правда на сиот свој народ.
16. А Јоав, синот Саруев, беше војвода над војската; а Јосафат, синот Ахилудов, беше летописец;
17. Садок, синот Ахитувов, и Ахимелех, синот Авијатаров, беа свештеници; Серαја беше писар;
18. а Ванија, син Јодаев, беше заповедник над Хелетејците и Фелетејците, а Давидовите синови беа први во дворот.

Глава 9

1. И рече Давид: 'Ако останал уште некој од Сауловиот дом, јас би му направил милост заради Јонатана.'
2. Во Сауловиот дом имаше еден слуга, по има Сива; го повикаа кај Давида, и царот го праша: 'Ти ли си Сива?' Тој одговори: 'Јас сум твојот слуга'.
3. и царот продолжи и рече: 'Нема ли уште некој од Сауловиот дом? Би му направил милост Божја?' А Сива му одговори на царот: 'Има еден Јонатанов син, кој е сакат.'
4. Царот го праша: 'Каде е тој?' Сива му одговори на царот: 'Ете, тој е во куката на Махира, Амиеловиот син, во Лодевар.'
5. Тогаш цар Давид испрати, та го зедоа од куката на Махира, Амиеловиот син, од Лодевар.
6. И Мемфивостеј, син на Јонатана, Саулов син, дојде при Давида, падна ничкум и му се поклони на царот. И рече Давид: 'Мемфивостеј'! Тој одговори: 'Еве, твој слуга сум јас.'
7. И Давид му рече: 'На плаши се; јас ке ти направам милост заради татка ти Јонатана и, ке ти ги вратам сите ниви на деда ти Саула, и ти секогаш ке јадеш леб на мојата трпеза.'
8. Се поклони Мемфивостеј и рече: 'Што е твојот слуга, та погледна милостиво на така мртов пес како мене?'
9. А царот го повика Сива, Сауловиот слуга, па му рече: 'Се што му припа аше на Саула и на целиот негов дом, му го давам на синот на твојот господар;
10. обработувај ја, впрочем, за него земјата, ти, со твоите синови и твоите слуги, и донесувај ги плодовите најзини, за да има синот на господарот твој леб за исхрана; а Мемфивостеј, синот на господарот твој, секогаш ке јаде на мојата трпеза.' Сива имаше петнаесет синови и дваесет слуги.
11. Тогаш му рече Сива на царот: 'Се што му заповеда мојот господар на својот слуга, тој ке го изврши.' Мемфивостеј јадеше на трпезата Давидова како еден од царските синови.
12. Мемфивостеј имаше малолетен син по има Миха. Сите, што живееја во куката на Сива, беа слуги на Мемфивостеј.
13. И Мемфивостеј живееше во Ерусалим, бидејки секогаш јадеше на царската трпеза. Тој беше сакат во обете нозе свои.

Глава 10

1. По извесно време умре амонитскиот цар, и место него стана цар синот негов Анон.
2. И Давид рече: 'Ќе покажам милост кон Анона, Наасовиот син, за добрината, што ми ја направи татко му негов.' Па ги испрати Давид слугите свои да го утешат Амона поради татка му. И давидовите слуги отидоа во Амонитската земја.
3. Но амонитските кнезови му рекоа на господарот свој Анона: 'Зар мислиш, дека Давид од почит кон татка ти испратил при тебе утешители? Да не ги испратил Давид слугите свои при тебе, за да го прегледаат градот и да видат во него се и сешто, па да го сосипат?'
4. И Анон ги фати Давидовите слуги и на секого од нив му ја избричи половината од брадата и им ги потсече алиштата на половина, до крстот и ги пушти.
5. Кога му јавија за тоа на Давида, тој испрати да ги пречекаат, бидејки беа многу обезличени. И царот заповеда да им кажат: 'Останете во Јерихон додека ви порастат брадите, и тогаш вратете се.'
6. Видоа Амонитите, дека станаа намразени кај Давида; па испратија Амонитите да најмат Сирijци од Вет-Рехов и Сирijци од Сува - дваесет иљади пешаци, од амаликијскиот цар Мах - иљада души и од Ист-Тов дванаесет иљади души.
7. Кога Давид чу за тоа, го испрати Јоава со сета храбра војска.
8. Излегоа Амонитите и се распоредија за борба при портите, а Сирijците од Сува и Рехов, а Ист-Тов и Мах се задржаа одделно во полето.
9. Кога виде Јоав, дека непријателската војска се распоредила спроти него и отспреди и одзади, избра војници од сите одбрани Израилци, и ги распореди против Сирijците;
10. а другиот дел од лу ето му ги довери на братот свој Авеса, за да ги нареди против Амонитите.
11. Тогаш рече Јоав: 'Ако Сирijците почнат да ме надвиваат, ти ке ми помогнеш; ако, пак, Амонитите почнат да те надвиваат тебе, јас ке ти дојдам на помош;
12. биди храбар, и да стоиме цврсто за нашиот народ и за градовите на нашиот Бог, а Господ ке го направи она, што Му е угодно.'
13. и влезе Јоав и народот, што беше со него, во борба против Сирijците, и тие избегаа од него.
14. Амонитите, пак, кога видоа, дека Сирijците бегаат, избегаа од Авеса и влегоа во градот. И Јоав се врати од Амонитите и дојде во Ерусалим.
15. Сирijците, штом видоа дека Израилците ги поразија, се собраа сите наедно.
16. И Адраазар испрати, та ги повика Сирijците, што беа од онаа страна на реката Халемак, и, ете, дојдоа до Елам; а Совак, Адраазаровиот војвода, ги предводеше.
17. Кога му јавија за тоа на Давида, тој ги свика сите Израилци, го премина Јордан и стигна до Елам. Сирijците се распоредија против Давида и се судрија со него.
18. Сирijците избегаа од Израилците, Давид истреби седумстотини сириски коли и четириесет иљади коњаници, го порази и војводата Совак, кој и умре таму.
19. Кога сите потчинети цареви на Адраазара видоа дека Израилците ги поразија, склучија со Иראилците мир и им се покорија. И Сирijците веке се плашеа да им помагаат на Амонитите.

Глава 11

1. По една година, во времето кога царевите излегуваа во војна, Давид го испрати Јоава и слугите свои со него и сите Израилци; и тие ги поразија Амонитите и ја опколија Рава; а Давид остана во Ерусалим.
2. Еднаш приквечер, откако стана од леглото свое, Давид се шеташе по покривот на царскиот дом свој и од покривот виде една жена, која се капеше; а жената беше многу убава.
3. Давид испрати да дознаат, која е таа жена? Му рекоа: 'Тоа е Вирсавија, Елијамова керка, жена на Хетеецот Урија.'
4. Давид испрати слуги да ја земат; и таа дојде при него, и тој спиеше со неа. А кога таа се исчисти од својата нечистотија, се врати во домот свој.
5. Таа жена стана непразна и испрати да му јават на Давида и да кажат: 'Непразна сум.'
6. Тогаш Давид испрати да му кажат на Јоава: 'Испрати го при мене Хетеецот Урија!' И Јоав го испрати Урија при Давида.
7. Урија дојде при него, и Давид го распраша за положбата на Јоава, за положбата на народот и за текот на војната.
8. Давид му рече на Урија: 'Оди во домот свој и изми си ги нозете.' Урij излезе од царскиот дом, и по него однесоа и царско јадење.
9. Но Урij преспа пред вратата на царскиот дом заедно со сите слуги на господарот свој и не отиде во домот свој.
10. Му соопштија на Давида и рекоа: 'Урij не отиде во домот свој.' Давид му рече на Урија: 'Еве, си дошол од пат; зошто не си отишол во домот свој?'
11. Урија му одговори на Давида: 'Ковчегот Божји, Израил и Јуда се под шаторите, а господарот мој Јоав и слугите на господарот мој престојуваат во полето, а јас да влезам во куката своја да јадам, да пијам и да лежам со жената своја! Се колнам во твојот живот и во животот на твојата душа, тоа нема да го направам.'
12. Тогаш Давид му рече на Урија: 'Остани тука и денес, а утре ке те отпуштам.' И Урија остана тој ден во Ерусалим до изутрината.
13. И Давид го покани, и Урij јадеше пред него и пиеше, и Давид го опи. Но вечерта Урија отиде да спие на леглото свое со слугите на својот господар, а во домот свој не отиде.
14. Изутрината Давид напиша писмо до Јоава и го испрати по Урија.
15. Во писмото напиша вака: 'Поставете го Урија таму, каде што ке има најсилна војска, и отстапете од него, за да биде удрен и да умре.'
16. Затоа, кога Јоав го опседнуваше градот, го постави Урија на такво место, за кое знаеше, дека таму има храбри мажи.
17. Излегоа од градот мажи, се судрија со Јоава, и неколкумина од народот, од Давидовите слуги, паднаа: убиен беше исто така и Хетеецот Урија.
18. Тогаш Јоав испрати да му кажат на Давида за целиот тек на борбата.
19. Тој им заповеда на пратениците, велејки: 'Кога ке му раскажете на царот за целиот тек на битката
20. и ке видите, дека царот се разгневува и ви каже: 'Зошто сте отишле да се биете толку блиску до градот? Не знаете ли, дека врз вас ке фрлаат од ѕидот?
21. Кој го уби Авимелеха, Јероваалoвиот син? Не ли фрли жена врз него од ѕидот парче од воденички камен, ‘го порази‘ и тој умре во Тевец? А вие, зошто се приближивте до ѕидот?' - тогаш ти кажи: 'И твојот слуга Хетеецот Урij исто така е поразен и умре.'
22. Отиде пратеникот од Јоава при царот во Ерусалим и, откако стигна, му раскажа на Давида за се за кое го беше испратил Јоав, за целиот тек на битката. Давид се разгневи на Јоава, и му рече на претеникот: 'Зошто сте одишле да се биете толку близу до градот? Не знаете ли, дека врз вас ке фрлаат од ѕидот? Кој го уби Авимелеха, Јероваалoвиот син? Не фрли ли жена врз него воденички камен, и тој умре во Тевец? Зошто се приближивте до ѕидот?'
23. Тогаш пратеникот му рече на Давида: 'Тие лу е не надвиваа и излегоа против нас во

полето, и ние ги гоневме, до влезот на портите;
24. во тоа време стрелците стрелаа од ѕидот врз слугите твои, и загинаа некои од царските слуги; умре и твојот слуга Хетеецот Урij.'
25. Тогаш Давид му рече на пратеникот: 'Кажи му на Јоава вака: ‘Да не те буни таа работа, зашто ножот истребува некогаш еден, некогаш друг; засили ја борбата против градот и сосипи го‘. Така го поттикна.
26. Уриевата жена чу, дека мажот нејзин умре, па плачеше по мажот свој.
27. Кога измина времето за жалење, Давид испрати и ја зеде во домот свој, и таа му стана жена и му роди син. Но делото што го изврши Давид, беше зло пред очите на Господа.

Глава 12

1. Гопсод го испрати Натана, пророкот при Давида, и тој отиде при него и му рече: 'Во еден град имаше двајца лу е - едниот богат, а другиот сиромав;
2. богатиот имаше мошне многу ситен и крупен добиток,
3. а сиромавиот немаше ништо, освен една овчичка, што ја беше купи мала и ја исхранил, и таа беше пораснала при него заедно со децата негови; таа јадеше од лебот негов, пиеше од чашата негова, спиеше на градите негови и му беше како керка;
4. при богатиот човек дојде еден странец; и нему не му се свиде да земе од овците или од воловите свои, за да зготви ручек на странецот, кој беше дошол при него, туку ја зеде овчичката на сиромавиот и му ја приготви неа на човекот, што беше дошол при него.'
5. Давид многу се разгневи против тој човек и му рече на Натана: 'Жив ми Господ! Смрт заслужува оној човек, што го направил тоа;
6. и за овчичката тој треба да плати четворно, зашто го направил тоа и затоа што немал милост.'
7. Тогаш Натан му кажа на Давида: 'Ти си оној човек што го изврши тоа. Така говори Господ, Бог Израилев: ‘Јас те помазав за цар над Израилот, те спасив од рацете Саулови,
8. ти го дадов домот на твојот господар и жените на господарот твој во твоја прегратка, ти го дадов домот Израилев и Јудин и, ако ти е тоа малку, би ти придал уште повеке;
9. а ти што го пренебрегна зборот на Господа, извршувајки зло пред очите Негови? Урија Хетеецот го порази со меч, жената негова ја зеде за своја жена, а него го уби со амонитски меч;
10. затоа мечот нема да отстапи од твојот дом засекогаш, бидејки ти ме запостави и ја зеде жената на Хетеецот Урија, за да биде твоја жена.‘
11. Така говори Господ: 'Ете, јас ке подигнам зло против твојот дом, ке ги земам твоите жени пред очите твои и ке ги дадам на ближниот твој, и тој ке спие со твоите жени под оваа сонце;
12. ти го изврши тоа тајно, Јас, пак, ке го извршам пред целиот Израил на бел ден.'
13. Тогаш Давид му рече на Натана: 'Згрешив пред Господа.' А Натан му кажа на Давида: 'И Господ го симна од тебе гревот твој; ти нема да умреш;
14. но бидејки со тоа им даде повод на непријателите Господови да Го хулат, затоа синот што ти се роди ке умре.'
15. Натан отиде во домот свој. И Господ го порази детето, што му го беше родила на Давида Уриевата жена, и тоа се разболе.
16. Давид Му се молеше на Бога за детето, постеше Давид и осамен ја мина нокта, легна на земја.
17. И влегоа при него старешините на домот негов, да го кренат од земјата; но тој не сакаше и не јадеше леб со нив.
18. На седмиот ден детето умре, и слугите Давидови се плашеа да му соопштат, дека детето умрело; зашто си мислеа тие, кога детето беше уште живо, и ние му прозборувавме, а тој не го слушаше гласот наш, како ке му кажеме: ‘детето умре‘. Тој ке стори нешто лошо.
19. Виде Давид дека слугите негови се дошепнуваат, и разбра оти детето умрело, па ги праша слугите: 'Умре ли детето?' Тие му одговорија: 'Умре.'
20. Тогаш Давид стана од земјата, се изми, се помаза, се преоблече и отиде во домот Господов и се молеше. Кога се врати дома, побара да му донесат леб и јадеше.
21. И го запрашаа слугите негови: 'Што значи тоа, што постапуваш така? Додека детето уште беше живо, ти постеше и плачеше, и не спиеше; а откако умре детето, ти стана и јадеш леб и пиеш.'
22. Давид им одговори: 'Додека детето беше живо, јас постев и плачев, бидејки мислев: кој знае, нема ли да се смили над мене Господ и нема ли детето да остане живо?
23. А сега е умрено; зошто да постам? Зар можам да го вратам? Јас ке отидам при него, тоа нема да се врати при мене.'

24. И Давид ја утеши жената своја Вирсавија, и влезе при неа и спиеше со неа; таа зачна и роди син, кому му даде име Соломон. И Господ го возљуби;
25. и го испрати пророкот Натана, и тој го нарече: Едидија, според словото Господово.
26. Јоав војуваше против Рава Амонитска и туку-речи го презеде тој царски град.
27. Испрати Јоав да му кажат на Давида: 'Јас напа ав на Рава и ја освоив водата на градот;
28. сега собери го другиот народ и тргни кон градот, и преземи го; зашто, ако го преземам јас, ке му се даде моето име.'
29. Давид го собра сиот народ, тргна кон градот Рава, војуваше против него и го презеде.
30. Давид го зеде венецот на царот нивни од главата негова, - а во него имаше талант злато и скапецен камен, - и го стави Давид на својата глава, и однесе од градот многу голем плен.
31. А народот, што беше во него, го изведе и го пренесе преку пили, преку железни гребла, преку железни секири и го фрли во печката за печење тули. Така постапи тој со сите амонитски градови. Потоа Давид се врати со сиот народ во Ерусалим.

Глава 13

1. Потоа се случи ова: Давидовиот син Авесалом имаше сестра убавица, по има Тамар, и Амнон, Давидовиот син, се вљуби во неа.
2. И Амнон толку се мачеше, што се разболе по сестра си Тамар зашто таа беше мома, и Амнон гледаше дека ке му биде неугодно да и направи нешто.
3. Но Амнон имаше пријател, по име Јонадав, син на Сама, Давидов брат; а Јонадав беше човек многу итар.
4. И тој му рече: 'Зошто толку слабееш одден наден, царски сине, - нема ли да ми кажеш?' Амнон му одговори: 'Јас ја сакам Тамар, сестрата на братот мој Авесалом.'
5. Јонадав му рече: 'Легни на леглото свое и направи се болен; и кога ке дојде татко ти да те види, кажи му: Нека дојде сестра ми Тамар и да ми даде да јадам, и да зготви пред очите мои јадење, така што да видам и да јадам од рацете нејзини.'
6. Амнон легна и се направи болен, и царот дојде да го види; Амнон тогаш му рече на царот: 'Нека дојде сестра ми Тамар и да испржи пред очите мои една - две питки, та да каснам од рацете нејзини.'
7. Давид испрати во куката да и кажат на Тамар: 'Оди во куката на братот свој Амнон и зготви му јадење.'
8. Таа отиде во куката на брата си Амнон, а тој лежеше. Таа зеде брашно, замеси, приготви пред очите негови и му испржи питки;
9. го зеде тиганот и ги иструри пред него; но тој не сакаше да јаде. Тогаш рече Амнон: 'Нека излезат сите, што се при мене.' И Излегоа сите лу е, што беа при него.
10. И Амнон и кажа на Тамар: 'Однеси го јадењето во внатрешната соба, и јас ке каснам од твоите раце.' Тамар ги зеде питките, што ги беше приготвила, и му ги однесе на брата си Амнон во внатрешната соба.
11. А кога таа му стави да јаде, тој ја фати и и рече: 'Дојди легни го мене, сестро.'
12. Но таа рече: 'Не, брате, немој да ме обесчестиш, зашто така не се постапува во Израилот; не прави го тоа безумство.
13. Па јас каде ке одам со бесчестието свое? И ти, ти ке бидеш безумник во Израилот; разговарај со царот; тој нема да откаже да ме даде за тебе.'
14. Но тој не сакаше да ги слуша зборовите нејзини; ја надви и ја силуваше, и лежеше со неа.
15. Потоа Амнон ја намрази многу, така што омразата негова спрема неа беше посилна од љубовта, што ја имаше кон неа; и Амнон и рече: 'Стани, оди си!'
16. А Тамар му рече: 'Не, брате, да ме избркаш е поголемо зло од првото што ми го направи.' Но тој не сакаше да ја слуша.
17. И го повика младичот, што му слугуваше, па му рече: 'Истерај ја оваа надвор и заклучи на вратата по неа.'
18. Таа носеше шарена облека, бидејки такви горни облеки носеа керки - девици. Слугата ја изведе надвор и ја заклучи вратата по неа.
19. Тамар си ја посипа главата своја со пепел, ја раскина својата шарена облека, со која беше облечена, ги стави рацете свои на главата своја, и така одеше и викаше.
20. А брати и Авесалом и рече: 'Нели Амнон, братот мој, беше со тебе? Но сега молчи, сестро; тој ти е брат; не го кини срцето свое заради таа работа.' И Тамар живееше самотно во домот на брата си Авесалома.
21. Царот Давид чу за сето тоа и силно се разгневи, но не го наскрби духот на синот свој Амнона, бидејки го сакаше, бидејки му беше првороден.
22. Авесалом, пак, не му одговараше на Амнона ни лошо ни добро; тој го намрази Амнона, поради тоа што ја обесчести сестра му Тамар.
23. По две години имаше стрижба на овци кај Авесалома во Ваал-Хасор, близу до Ефрема и Авесалом ги повика сите царски синови.
24. И дојде Авесалом при царот и рече: 'Ете, при твојот слуга денес има стрижба на овци, нека

појде царот и слугите негови со твојот слуга.'
25. Но царот му рече на Авесалома: 'Не, синко, нема да дојдеме сите, за да не ти додеваме.' И Авесалом го молеше многу; но тој не сакаше да оди и го благослови.
26. Тогаш Авесалом му рече: 'Нека дојде со нас барем братот мој Амнон.' А царот му рече: 'Зошто да дојде со тебе?'
27. Но Авесалом го убеди и тој го пушти со него Амнона и сите царски синови. И Авесалом приреди гозба какво гоштевање дава цар.
28. Авесалом им заповеда на момците свои, велејки им: 'Гледајте, кога ке се развесели срцето на Амнона од виното, и кога јас ке ви кажам: поразете го Амнона, тогаш убијте го, не плашете се; тоа јас ви заповедам, бидете смели и храбри.'
29. Авесаломовите момци направија со Амнона, како што им заповеда Авесалом. Тогаш станаа сите царски синови, се качи секој на маската своја и избегаа.
30. Кога тие беа уште на пат, дојде слух до Давида, дека Авесалом ги убил сите царски синови, и дека од нив не останал ниеден.
31. Тогаш царот стана, ја раскина облеката своја, и се фрли на земјата, и сите слуги негови, што стоеја при него, ги раскинаа облеките свои.
32. Но Јонадав, синот на Сама, Давидов брат, рече: 'Да не мисли господарот мој, дека сите момци, царски синови се убиени: само Амнон е убиен, зашто Авесалом ја имаше таа мисла од денот, кога Амнон ја обесчести сестрата негова;
33. поради тоа, мојот господар, царот, нека не се обеспокојува од мислата дека сите царски синови умреле; умре само Амнон.'
34. А Авесалом избега. Момчето, што стоеше на стража, ги крена очите и виде: ете, многу народ врви по патот на надолнината. И дојде стражарот, па му јави на царот, велејки: 'Видов лу е низ Оронскиот пат по надолнината.'
35. Тогаш Јонадав му рече на царот: 'Тоа се царските синови, кои идат; како што говори слугата твој, така е.'
36. И штом го изговори тоа, ете, пристигнаа царските синови и фатија да плачат. Па и царот и сите слуги негови плачеа многу силно.
37. Авесалом, пак, избега и отиде при Талмаја, синот на гесурскиот цар Емиуд во Хамахадската земја. И царот Давид плачеше за синот свој во сите дни.
38. Авесалом избега, дојде во Гесур и таму престојуваше три години.
39. И царот Давид престана да го гони Авесалома, зашто се утеши поради смртта на Амнона.

Глава 14

1. Саруевиот син Јоав забележа дека срцето на царот се сврти кон Авесалома.
2. Јоав испрати во Текоја и доведе оттаму една умна жена и рече: 'Преправи се дека плачеш; облечи жална облека, немој да се помажеш со масло, и претстави се како жена, која оплакува мртовец;
3. по оди при царот и кажи му така и така.' И Јоав и стави во устата нејзина, што да каже.
4. И жената Текојанка влезе при царот, падна ничкум на земја, се поклони и му рече: 'Помогни, цару, помогни!'
5. Царот ја праша: 'Што ти е?' А таа одговори: 'Вдовица сум, умре мажот мој;
6. слугинката твоја имаше двајца синови; тие се скараа во полето, немаше кој да ги раздели, и едниот го удри другиот и го уби.
7. И ете, целиот род стана против слугинката твоја, и рече: ‘предај го оној, што го уби брата си, ние ке го убиеме заради душата на брата му, која тој ја погуби, и ке го истребиме дури и наследникот. И така, тие ке ја згаснат искрата, која уште ми останува, за да не остават име и потомство на мажот ми по лицето на земјата.'
8. А царот и рече на жената: 'Оди си спокојно дома, јас ке дадам заповед за тебе.'
9. Но жената Текојанка му рече на царот: 'Врз мене, царе, господаре мој, нека биде вината и врз татковиот ми дом, а царот и престолот негов се невини.'
10. И царот и рече: 'Доведи ми го оној, што ке биде против тебе, и тој повеше нема да те гибне.'
11. Таа рече: 'Заколни се, царе, во Господа, твојот Бог, дека нема да се умножат одмаздниците за крв и нема да го погубат синот мој.' Царот рече: 'Жив ми Господ! Ни влакно од твојот син нема да падне на земјата.'
12. И жената рече: 'Дозволи и на слугинката твоја да му каже уште еден збор на својот цар - господар.'
13. Тој рече: 'Говори.' И жената рече: 'Зошто мислиш така против Божјиот народ?' Царот, откако го кажа тој збор, сам се обвини, поради тоа што не го врака својот прогонет.
14. 'Ние ке умреме и ке станеме како разлеана вода на земјата, која не може да се собере; но Бог не сака да ја погуби душата и се грижи да не го отфрли од Себеси и отфрлениот.
15. И сега јас дојдов да му кажам на царот, мојот господар, тие зборови, зашто народот ме плаши; и твојота слугинка си вели: ‘ке поразговарам со царот, дали нема да постапи тој според зборот на слугинката своја:
16. царот бездруго ке ја ислуша и ке ја спаси слугинката своја од раката на оние, што сакаат да ме истребат, заедно со синот мој, од Божјото наследство.
17. Затоа, твојата слугинка си рече: ‘зборот на мојот господар - цар нека ми биде утеха, зашто мојот господар - цар е како Ангел Божји, и може да го слуша и доброто и лошото. И Господ, Бог твој, ке биде со тебе.‘'
18. Царот одговори и и рече на жената: 'Не го криј од мене тоа што ке го прашам.' И жената рече: 'Говори, господаре мој, цару.'
19. Царот ја праша: 'Во сето тоа не е ли со тебе раката на Јоава?' Жената одговори и рече: 'Да ти е жива душата, господаре мој, цару, не може да има скршнување ни десно, ни лево; вистина, твојот слуга Јоав ми заповеда и тој ги стави во устата на слугинката твоја сите тие зборови.
20. Твојот слуга Јоав ме научи, преку приказната да и дадам таков вид на оваа работа. Но мојот господар царот е мудар, како што е мудар Ангелот Божји, тој знае се, што се случува на земјата.'
21. И царот му рече на Јоава: 'Ете, јас направив според зборот твој, оди впрочем, врати ми го детето Авесалома.'
22. Тогаш Јоав падна ничкум на земјата и се поклони, и го благослови царот, велејки: 'Сега слугата твој знае, дека нашол благонаклоност пред твоите очи, господаре мој, цару, бидејки

царот постапи според зборот на својот слуга.'
23. Па стана Јоав, та отиде во Гесур и го доведе Авесалома во Ерусалим.
24. И царот рече: 'Нека се врати во куката своја, но лицето мое да не го гледа.' И Авесалом отиде во куката своја, но царското лице не го виде.
25. Ме у сите Израилци немаше таков убавец како Авесалом, ни толку пофалуван како него: од одот на нозете до врвот на главата негова во него немаше недостаток.
26. Кога ке ја истрижеше косата своја, а тој ја стрижеше секоја година, бидејки му тежеше, - косите од главата негова тежеа двесте сикли според царската мера.
27. И на Авесалома му се родија тројца синови и една керка, по има Тамар; таа беше многу убава. Таа му стана жена на Ровоама, Соломоновиот син, и му ги роди Авија.
28. И остана Авесалом во Ерусалим две години, но царевото лице не го виде.
29. Тогаш Авесалом испрати по Јоава, за да го одведе при царот; но тој не сакаше да дојде при него. Го повика и вторпат, но тој пак не сакаше да дојде.
30. Тогаш Авесалом им рече на своите слуги: 'Ја гледате ли нивата на Јоава до мојата? Тој таму има јачмен; одете и изгорете го со оган.' И Авесаломовите слуги ја изгореа со оган онаа нива. И дојдоа слугите на Јоава при него, ги раскинаа облеките свои, и рекоа: 'Авесаломовите слуги ја изгореа нивата твоја со оган.'
31. И стана Јоав, па отиде при Авесалома дома и му рече: 'Зошто слугите Твои ја изгореа нивата моја со оган?'
32. А Авесалом му одговори на Јоава: 'Ете, јас испракав по тебе и велев: ‘Дојди тука, и јас ке те пратев при царот да кажеш: зошто сум дошол од Гесур? Подобро ке беше да останев таму. Јас сакам да го видам лицето на царот. Ако, пак, сум виновен, убиј ме!‘'
33. Јоав отиде при царот и му го раскажа тоа. Царот го повика Авесалома. Тој дојде при царот, му се поклони и падна ничкум на земја пред царот. И царот го бакна Авесалома.

Глава 15

1. Потоа Авесалом си набави коли и коњи и педесет брзоодци.
2. Авесалом станувааше изутрина рано, се запираше крај патот при портите и, кога некој имаше поплака и одеше при царот на суд, тој го повикуваше и го прашуваше: 'Од кој град си?' И кога оној одговараше: ‘од тоа и тоа Израилево племе е твојот слуга‘,
3. тогаш Авесалом му велеше: 'Ете, твоето дело е добро и праведно, но при царот нема кој да те ислуша.'
4. И Авесалом уште велеше: 'О, да беа ме поставиле мене за судија во оваа земја! При мене би доа ал секој, кој има расправија и поплака, и јас би судел по правда.'
5. И кога некој ке се доближеше да му се поклони, тој ја протегаше раката и го прегрнуваше и го бакнуваше.
6. Така постапуваше Авесалом со секој Израилец, кој доа аше при царот да се суди, и навлегуваше Авесалом во срцата на Израилците.
7. Откако изминаа четириесет години од царувањето на Давида, Авесалом му рече на царот: 'Да одам и да го исполнам мојот завет, што му го бав дал на Господа во Хеврон.
8. Зашто јас, твојот слуга, кога живеев во Гесур, во Сирија, ветив: ако Господ ме врати во Ерусалим, дека ке му принесам жртва на Господа.'
9. А царот му рече: 'Оди со мир.' И тој стана и отиде во Хеврон.
10. А Авесалом испрати разузнавачи ме у сите Израилеви колена, велејки: 'Коа ке чуете звук од труба, велете: ‘Авесалом стана цар во Хеврон.‘'
11. Од Ерусалим отиода со Авесалома двесте души, што ги беше поканил, и тие отидоа простодушно, баз да знаат, каква е работата.
12. Во времето принесување жртви, Авесалом испрати, та го повика гилонецот Ахитофела, Давидов советник, од неговиот град Гилон. И почна буна голема, и народот се собираше и се умножуваше околу Авесалома.
13. И дојде разузнавач при Давида и рече: 'Срцето на Израилците се сврти кон Авесалома.'
14. Тогаш им рече Давид на сите свои слуги, што беа при него во Ерусалим: 'Станувајте да бегаме, зашто за нас нема спас од Авесалома; брзајте да излеземе, да не не затече и не фати, да не ни навлече зло и да го истреби градот со меч.'
15. Царските слуги му рекоа на царот: 'Во се што му е угодно на господарот наш, царот, ние сме твои слуги.'
16. Па излезе царот и по него сиот дом негов пешки. Царот остави десет свои наложници да ја чуваат куката.
17. И излезе цаарот и сиот народ пешки, и се задржаа на едно подалечно место.
18. И сите слуги негови врвеа од двете страни негови, и сите Хелетејци, сите Фелетејци и сите Гетејци - до шестотини души што беа дошле заедно со него од Гет, одеа пред царот.
19. И царот му рече на Гетеецот Етеја: 'Зошто си тргнал и ти со нас? Врати се и остани со оној цар, бидејки си ту и си избегал од својата земја.
20. Ти си дошол вчера, а денес ке те терам да одиш со нас ли? Јас одам, каде што можам; врати се и врати ги со себе и браката свои; Господ нека ти укажа милост и правда!'
21. А Етеј му одговори на царот и рече: 'Жив ми Господ, и да живее мојот господар, царот; каде и да биде мојот господар, царот, жив или мртов, таму ке биде и твојот слуга.'
22. Тогаш Давид му рече на Етеја: 'Дојди, пак, и оди со мене.' И Тргна Гетеецот Етеј и сите лу е негови и сите деца што беа со него.
23. И целата земја плачеше на висок глас. И сиот народ минуваше, и царот го мина потокот Кедрон; и тргна сиот народ и царот по патот кон пустињата.
24. Ете, и свештеникот Садок и заедно со него сите левити го носеа ковчегот на Божјиот завет од Ветара, и го поставија Божјиот ковчег; Авијатар пак стоеше на височината, додека сиот народ излезе од градот.
25. И царот му рече на Садока: 'Врати го Божјиот ковчег во градот и нека стои на местото свое.

Ако најдам милост пред очите на Господа, Он ке ме врати и ке ми даде да Го видам Него и Неговото живеалиште.
26. Ако, пак, Он каже: ‘Немам кон тебе благонаклоност, тогаш ете ме; нека врши со мене, како што ке Му биде угодно.'
27. И му кажа уште царот на свештеникот Садок: 'Гледаш ли, - врати се во градот со мир зедно со сина си Ахимаса и со Авијатаровиот син Јонатана, двајцата ваши синови;
28. гледате ли, јас ке се позабавам по рамнината во пустињата, додека ми стигне известување од вас.
29. Садок и Авијатар го вратија Божјиот ковчег во Ерусалим и останаа таму.
30. А Давид тргна кон Елеонската планина, врвеше и плачеше; главата му беше покриена, и тој одеше бос; и сите лу е, што беа со него, ја покрија секој својата глава, одеа и плачеа.
31. Му јавија на Давида и рекоа: 'И Ахитофел и ме у заговорниците со Авесалома.' И рече Давид: 'Господи, Боже мој, оневозможи го советот на Ахитофела.'
32. Кога Давид се искачи на врвот од горaта, каде што сакаше да Му се поклони на Господа, ете во пресрет му доа а Хусиј, Давидов прв пријател: облеката му беше раскината, и на главата имаше прав.
33. И Давид му рече: 'Ако дојдеш со мене, ке ми бидеш товар:
34. но, ако се вратиш во градот и му кажеш на Авесалома: 'Царе, браката твои минаа, и царот татко ти мина, и сега јас сум твој слуга; остави ме жив, досега бев слуга на татко ти, а сега сум твој слуга', ти ке оневозможиш за мене советот на Ахитофела.
35. Ете, таму со тебе ке бидат свештениците Садок и Авијатар, и секој збор, што ке го чуеш од домот на царот, соопштувај им го на свештениците, на Садока и на Авијатара.
36. Заедно со нив таму се и двајцата нивни синови: Ахимас, син Садоков, и Јонатан, син Авијатаров; по нив испракајте ми ја секоја вест, што ке ја чуете.'
37. Така, Хусиј, Давидовиот пријател, отиде во градот, а во тоа време Авесалом влегуваше во Ерусалим.

Глава 16

1. Кога Давид слезе од врвот на горната, ете, во пресрет му доа а Сива, слугата на Мемфивостеј, со два натоварени осела со двесте лебови, сто вреки суво грозје, сто низи смокви и со мешина вино.
2. Царот го праша Сива: 'Зошто ти е тоа?' Сива одговори: 'Ослите се за царскиот дом, за јавање, лебот и плодовите за храна на момците, а виното за изнемоштените во пустињата.'
3. Царот праша: 'Каде е синот на господарот твој?' Сива му одговори на царот: 'Ете, тој остана во Ерусалим и вели: ‘токму сега домот Израилев ке ми го врати татковото ми царство.‘'
4. И му кажа на Сива: 'Ете, твое е се што има Мемфивостеј.' А Сива одговори, поклонувајки се: 'Можеби ке најдам милост пред очите на мојот господар - цар!'
5. Кога царот Давид стигна до Ватирим, ете, оттаму излезе еден човек од родот на Сауловиот дом, по има Семеј, син на Гирана. Тој одеше и лошо зборуваше,
6. и фрлаше камења врз Давида и врз сите слуги на царот Давид; и сите лу е и сите храбри беа десно и лево од царот.
7. Зборувајки лошо за него, Семеј велеше: 'Истави се, убиецу, и беззаконику!
8. Господ ја сврти против тебе сета крв на Сауловиот дом, на чие место ти се зацари, и Господ го предаде царството во рацете на синот твој Авесалома; и ете, ти си во невоља, затоа што си крвопиец.'
9. Тогаш Авес, Саруевиот син, му рече на царот: 'Зошто овој мртов пес зборува лошо за господарот мој, за царот? Ке одам и ке му ја симнам главата.'
10. Царот рече: 'Што ни е нам, мене и вам, до Саруевите синови? Оставете го нека зборува лошо, зашто Господ му заповедал да зборува лошо за Давида. А кој може да каже: ‘Зошто правиш така?‘
11. И Давид му рече на Авеса и на сите слуги свои: 'Кога синот мој, кој излегол од телото мое, ја бара душата моја, дотоклу повеке еден Венијаминов; оставете го, нека зборува лошо, зашто Господ му заповедал;
12. можеби, Господ ке погледне милостиво кон унижувањето мое, и ке ми воздаде Господ добро за денешното лошо зборување.'
13. и одеа Давид и лу ето по патот свој, а Семеј врвеше покрај горната, откај неговата страна; врвеше, зборуваше лошо и фрлаше камења и земја кон него.
14. И стигна царот и сиот народ негов, што беше со него, изморен, и таму со отпочинуваше.
15. Авесалом, пак, и сиот Израилски народ дојдоа во Ерусалим, и со него Ахитофел.
16. Кога Хусиј, Давидовиот прв пријател, дојде при Авесалома, му рече: 'Да живее царот!'
17. И Авесалом му рече на Хусија: 'Каква е таа твоја сесрдност кон твојот пријател! Зошто не отиде со пријателот свој?'
18. Хусиј му одговори на Авесалома: 'Не, јас ке отидам по оној, што го избра Господ и оној народ и целиот Израил; со него сум и јас, и со него ке останам.
19. И притоа кому ке му служам? Нели на синот негов? Како што му служев и на татко ти, така ке ти служам и тебе.'
20. И Авесалом му рече на Ахитофела: 'Дајте совет, што да правиме.'
21. Ахитофел му одговори на Авесалома: 'Влези при наложниците на татко ти, што тој ги остави да го чуваат домот негов; и ке чујат сите Израилци, дека си станал намразен за таткото, и ке им зацврстат рацете на сите, што се со тебе.'
22. И поставија за Авесалома шатор на покривот, и Авесалом влезе при наложниците на татка си пред очите на сиот Израил.
23. А советите на Ахитофела, што тој ги даваше, во она време се сметаа, како некој да се допрашувал до Бога. Таков беше секој Ахитофелов совет како за Давида, така и за Авесалома.

Глава 17

1. Тогаш му кажа Ахитофел на Авесалома: 'Ќе одберам дванаесет иљади души и ке станам, ке отидам да го гонам оваа нок Давида;
2. ке го нападнам, кога ке биде изморен и со отпуштени раце, и ке му влеам страв; и сите лу е, што се со него ке се разбегаат; и јас ке го убијам само царот;
3. и сите лу е ке ги свртам кон тебе; и кога ке исчезни еден, чија душа ја бараш ти, тогаш сиот народ ке се смири.'
4. Му се допаднаа тие зборови на Авесалома и на сите Израилеви старешини.
5. И Авесалом рече: 'Повикајте го Хусија; да чуеме, што ке рече тој.'
6. Дојде Хусиј при Авесалома, и Авесалом му рече, велејки: 'Еве што кажува Ахитофел; да постапам ли според зборовите негови? Ако, пак, не, кажи ти.'
7. А Хусиј му рече на Авесалома: 'Овој пат не е добар советот, што го дал Ахитофел.
8. Ти го познаваш татка си и лу ето негови; тие се храбри и многу се раздразенти, како мечка в поле, чии малечки се грабнати, и како свиреп крмак во полето, и татко ти е човек воинствен; тој нема да се запре да нокева со народот.
9. Ете, тој сега се крие во некоја пештера или на друго место, и ако некој падне при првиот напад врз нив, и ако чујат и кажат: ‘разбиени се лу ето, што тргнаа по Авесалома‘
10. тогаш и најхрабриот, чие срце е како лавовско срце, ке падне со духот, зашто на сиот Израил му е познато, колку е храбар татко ти, и колку се јунаци оние што се со него.
11. Затоа јас советувам: нека се собере при тебе сиот Израил, од Дан до Вирсавија, во множество како песок крај морето, и ти самиот ке тргнеш среде него;
12. и тогаш ке одиме против него, каде и да се нао а, и ке го нападнеме, како што росата па а на земјата; и нема да му остане ни еден човек од сите оние, што се со него;
13. ако, пак, влезе во некој град, тогаш сиот Израил ке донесе при тој град јажиња, и ние ке го завлечеме во реката, така што камче нема да остане од него.
14. Тогаш рече Авесалом и сиот Израил: 'Советот на Хусија е подобар од Ахитофеловиот совет.' Така Господ пресуди да се осуети 'добриот' Ахитофелов совет, за да навлече Господ зло врз Авесалома.
15. И Хусиј им кажа на свештениците, на Садока и Авијатара: 'Така и така Ахитофел го советуава Авесалома и старешините Израилеви, јас, пак, посоветував вака и вака.
16. И сега испратете поскоро и кажете му на Давида така: да не останува оваа нок на рамнината во пустињата, и што поскоро да помина од онаа страна, да не загине царот и сите лу е, што се со него.'
17. Јонатан и Ахимас стоеја при изворот Рогел. И отиде една слугинка, таа им раскажа, а тие отидоа и му јавија на царот Давида; зашто тие не можеа да се покажат во градот.
18. Ги виде еден младич и му јави на Авесалома; но тие и двајцата брзо заминаа и отидоа во Ватурим, во куката на еден човек, во чиј двор имаше кладенец; тие се спуштија во него.
19. А жената зеде, та простре врз отворот на изворот покривка и насипа одозгора прекрупа, така што ништо не се забележуваше.
20. Дојдоа Авесаломовите слуги во куката при жената и запрашаа: 'Каде се Ахимас и Јонатан?' А жената им одговори: 'Минаа преку реката'. Тие бараа и не најдоа, и се вратија во Ерусалим.'
21. Откако си заминаа, оние излегоа од кладенецот, отидоа и му јавија на царот Давид, велејки му: 'Станувајте и што поскоро преминувајте преку водата, зашто Ахитофел даде таков и таков совет за вас.'
22. Тогаш Давид стана и сите лу е, што беа со него, и го минаа Јордан; на разденување не остана ни еден, што не беше го преминал Јордан.
23. Ахитофел, кога виде, дека советот негов не се исполни, го оседла оселот, се подготви, отиде во домот свој, во својот град, направи завештение за домот свој, и се обеси, и умре, и го погребаа во татковиот му гроб.
24. Давид стигна во Маханаим, а Авесалом го премина Јордан, тој и сиот Израил со него.

25. Наместо Јоава, Авесалом го постави над војската Амесаја. Амесај беше син на еден човек по има Ефер, од Израел, што влезе при Авигеја, Наасовата керка, Саруева сестра, Јоавова мајка.
26. А Израил се смести во логорот со Авесалома во Галадската земја.
27. Кога Давид стигна во Маханаим, Наасовиот син Совиј од Рава Амонитска, и Махир, Амилов син, од Лодавар, и Галададецот Варзелиј од Рогелим,
28. донесоа десет приготвени постелички, десет чинии и земјани садови, пченица и јачмен, брашно и биено просо, грав и лека и пржени зрна,
29. мед и масло, овци и кравјо сирење, - донесоа за храна на Давида и на лу ето што беа со него; зашто тие велеа: народот е гладен и уморен и жедува во пустињата.

Глава 18

1. Давид ги прегледа лу ето, што беа со него, и постави над нив иљаданачалници и стотници.
2. Давид ги испрати лу ето - една третина под водство на Јоава, една третина под водство на Авеса, синот Саруев, брат Јоавов, една третина под водство на Гетецот Етеј. Тогаш царот им рече на лу ето: 'И јас ке дојдам со вас.'
3. Но лу ето му одговорија: 'Не доа ај, зашто, ние и да избегаме, тоа нема да се забележи; и половината од нас да умре, тоа исто така нема да се забележи; ти, ти, бидејки, сам чиниш, колку десет иљади од нас, затоа подобро е за нас да ни помагаш од градот.'
4. Царот им рече: 'Што ке најдете за добро, тоа и ке го направам.' И царот се задржа при портите, и сиот народ излегуваше по стотици и по иљади.
5. Царот им заповеда на Јоава, Авеса и Етеја, велејки: 'Зачувајте ми го момчето Авесалома.' И сите слушаа, што им заповедаше царот на сите началници за Авесалома.
6. Излегоа лу ето во полето против Израилците, и започна битка во Ефремовата гора.
7. И народот Израилев беше победен од Давидовите луги; тој ден таму стана голем пораз, - беа убиени дваесет иљади души.
8. А битката се прошири по целата онаа земја, и гората погуби повеке народ, отколку што се истреби со мечот во тој ден.
9. Авесалом се сретна со Давидовите слуги; тој јаваше маска. Кога маската навлезе под гранките на еден голем даб, косата на Авесалома му се заплетка во гранките од дабот, и тој почна да виси ме у небото и земјата, а маската, што беше под него, избега.
10. Некој го виде тоа и му јави на Јоава, велејки: 'Ете, јас го видов Авесалома како виси на дабон.'
11. Јоав му кажа на човекот што му го соопшти тоа: 'Ете, си видел; зошто не го кутна таму на земја? Ke ти дадев десет сикли сребро и еден појас.'
12. И оној му одговори на Јоава: 'Да ставеа во рацете мои и иљада сикли сребро, и тогаш не би кренал рака врз царскиот син; зашто ние чувме, дека царот ти заповеда тебе, на Авеса и на Етеја, велејки: ‘зачувајте ми го момчето Авесалома;
13. и да бев постапил поинаку во опасност по животот свој, тоа не би останало сокриено од царот, па и ти би станал против мене.'
14. Јова рече: 'Нема зошто да се занимавам со тебе.' И зеде во рацете три стрели и ги забоде во срцето на Авесалома, кој уште беше жив на дабот.
15. Тогаш го опколија Авесалома десет момци, Јоавови оруженосци, го удираа и го умртвија.
16. И затруби Јоав со труба, и лу ето, што го гонеа Израилот, се вратија, бидејки Јоав го штедеше народот.
17. Го зедоа Авесалома, го фрлија во гората, во длабока јама, и натрупаа врз него голема грамада камења. И сите Израилци се разбегаа, секој во шаторот свој.
18. Уште додека беше жив, Авесалом си беше изградил споменик во царската долина; зашто велеше: 'Јас немам син, за да се зачува споменот за името мое'. И до денес тој се нарекува Авесаломов споменик.'
19. Ахимас, син Садоков, му рече на Јоава: 'Ke трчам да му јавам на царот, дека Господ преку Својот суд го спаси од рацете на непријателите негови.'
20. Но Јоав му рече: 'Нема да бидеш добар известувач денес; друг ден ке јавиш, а не денес, зашто царевиот син умре.'
21. Јоав му рече потоа на Хусија: 'Оди, јави му на царот што си видел.' И Хусиј му се поклони на Јоава и отрча.
22. Но Ахимас, Садоковиот син, настојуваше и му велеше на Јоава: 'Што и да биде, и јас ке трчам по Хусија.' а Јоав му одговори: 'Што ти треба да трчаш, синко? Добра вест нема да однесеш.'
23. Ахимас рече: 'Така нека биде, но јас ке отрчам.' Тогаш Јова му рече: 'Трчај.' И Ахимас потрча по напречен пот и го испревари Хусија.

24. Во тоа време Давид седеше ме у двете порти. И стражарот излезе под вратната стреа откај ѕидот, ги крена очите и виде, еден човек трча.
25. И стражарот извика и му соопшти на царот. А царот рече: 'Ако е сам, вест носи во устата своја.' А оној се повеке и повеке се приближуваше.
26. Стражарот виде друг човек дека трча; и стражарот му викна на вратарот: 'Ете, уште еден човек трча.' Царот рече: 'И тој е известувач.'
27. Сражарот рече: 'Го гледам одењето на привиот, тоа прилега на одењето на Ахимаса, Садоковиот син.' А царот рече: 'Тој е добар човек и доа а со добра вест.'
28. Ахимас извика и му рече на царот: 'Мир!' И му се поклони на царот со лицето до земја и рече: 'Благословен Господ, Бог твој, Кој ги предаде лу ето, што беа кренале рака против мојот господар, царот!'
29. А царот праша: 'Здраво ли е момчето Авесалом?' Ахимас одговори: 'Видов голема мешаница, кога царскиот служител Јоав го испракаше својот слуга; не не знам, што стануваше таму.'
30. Царот рече: 'Помести се и застани тука.' И тој се помести и застана.
31. Ете, пристигна и Хусиј по него. И Хусиј му рече на царот: 'Добра вест за господарот мој, царот! Господ ти направи денес правда, спасувајки те од раката на сите, што беа станале против тебе.'
32. А царот го праша Хусија: 'Здраво ли е момчето Авесалом?' Хусиј одговори: 'Да даде Бог со непријателите на мојот господар, царот, и со сите зломислиници против тебе да се случи истото, што го снајде момчето!'
33. Се збрка царот и отиде во собата над портите и плачеше и, кога си одеше, велеше вака: 'Сине Авесаломе! Сине, сине Авесаломе! О, да бев умрел јас наместо тебе, Авесаломе, сине мој, сине!'

Глава 19

1. Му соопштија на Јоава: 'Ете, царот плаче и тагува за Авесалома.'
2. И победата во оној ден се претвори во плачење за целиот народ: зашто тој ден народот чу и велеше, дека царот жали за синот свој.
3. Тогаш народот влегуваше во градот скришно, како што се притајуваа од срам лу ето што избегале од борба.
4. А царот го покри лицето и викаше високо: 'Сине Авесаломе, Авесаломе, сине мој, сине!'
5. Потоа Јоав дојде при царот дома и рече: 'Ти денес ги посрами сите слуги свои, кои го спасија денес животот твој, животот на твоите синови, и керки, животот на твоите жени и животот на твоите наложници;
6. ти ги сакаш оние, што те мразат, а ги мразиш оние, што те сакаат, бидејки денес покажа оти за тебе се ништо и водачите и слугите; денес разбрав, дека тебе ке ти беше попријатно ако Авесалом останеше жив, а ние сите да бевме изумреле;
7. затоа стани, излези и позборувај им по срце на слугите твои; зашто, се колнам во Господа, дека, ако не излезеш, оваа нок, ниеден човек нема да остане со тебе; тоа ке биде за тебе полошо од сите беди што те снашле од младини до денес.'
8. Стана царот и седна при портите, а на сиот народ му јавија, дека царот седи при портите. И сиот народ дојде пред царот пред портите; а Израилците се разбегаа по шаторите свои.
9. И сиот народ од сите колена Израилеви се препираше и велеше: 'Царот Давид не спаси од рацете на напријетелите наши и не ослободи од рацете на Филистејците, а сега самиот избега од оваа земја, од царството свое, од Авесалома.
10. Но Авесалом, кого го помазавме за цар над нас, умре во борбата; а сега зошто одолговлекувате, та не го враката царот?' Овие зборови на сиот Израил стигнаа до царот.
11. Тогаш царот Давид испрати да им кажат на свештениците, на Садока и на Авијатара, кажете им на Јудините старешини: 'Зошто сакате да бидете последни во вракањето на царот во домот негов, кога зборовите на сиот Израил стигнаа до царот во домот негов.
12. Вие сте мои бракa, вие сте моја коска и моја плот, зошто сакате да бидете последни за вракањето на царот во домот негов?'
13. А на Амесај кажете му: ‘Не ли си ти моја коска и моја плот? Господ нека ми направи тоа и тоа и уште повеке да ми додаде, ако ти не станеш при мене засекогаш воен началник место Јоава!‘
14. И склони го срцето на сите Јудеи како на еден човек. И тие испратија да му кажат на царот: ‘врати се ти и сите твои слуги.‘'
15. Се врати царот и стигна до Јордан, а Јудеите дојдоа во Галгал да го пречекаат царот и да го преведат преку Јордан.
16. И Семеј, синот Гирин, Венијаминец од Ватурим, побрза и отиде со Јудејците да го пречека царот Давида;
17. а заедно со него имаше иљада Венијаминци, и Сива, слугата на Сауловиот дом, со петнаесетте синови свои и со дваесетте слуги свои; тие го преминаа Јордан пред лицето на царот и подготвија да мине царот преку Јордан.
18. Кога го доведоа коработ, за да ја пренесат челадта на царот и да му послужат, тогаш Симеј, синот Гирин, пакна ничкум пред царот, штом тој го премина Јордан,
19. и му рече на царот: 'Господаре, не ми го сметај за престап и не го спомнувај она, со кое згреши слугата твој во оној ден, кога мојот господар излегуваше од Ерусалим, и не го ставај тоа, цару, на срце;
20. зашто слугата твој знае дека згрешил; и, ете, од целиот Јосифов дом дојдов денес прв да го пречекам господарот свој, царот.'
21. Авеса, Саруевиот син, проговори и рече: 'Зар Семеј нема да умре, поради тоа што зборуваше лошо за помазаникот Господов?'
22. А Давид рече: 'Што ви е вам до мене, синови Саруеви, та сега ми станувате клеветници?

Денес ли треба да убивате кого и да било од Израилот? Не знам ли јас, дека денес сум цар над Израилот?'
23. Тогаш му рече царот на Семеја: 'Ти нема да умреш.' И царот му се заколна.
24. Излезе да го пречека царот и Мамфивостеј, синот на Јонатана, Саулов син. Тој не си ги беше измил нозете, ниту ги исекол ноктите, не беше се грижел за брадата своја и не ги беше испрал алиштата свои од оној ден, кога царот излезе, до денот кога се врати со мир.
25. Кога тој излезе од Ерусалим да го пречека царот, царот го праша: 'Мемфивостеј, зошто не дојде со мене?'
26. Овој одговори: 'Господаре мој, цару, мојот слуга ме излага, зашто јас, слугата твој, си велев: ‘ке го оседлам оселот, ке се качам на него и ке отидам со царот, бидејки слугата твој е сакат.
27. А тој го наклевети слугата твој пред господарот мој, царот. Но мојот господар, царот, е како Ангел Божји: прави што ти е воља;
28. макар и целиот мој татков дом да беше заслужил смрт пред мојот господар, но ти го постави својот слуга ме у твоите сотрпезници; какво право имам, пак, уште да се поплакувам пред царот?‘'
29. А царот му рече: 'Зошто го зборуваш сето ова? Јас реков, ти и Сива да ги поделите ме у себе нивите.'
30. Но Мемфивостеј му одговори на царот: 'Нека земе тој дури и се, откако мојот господар - цар се врати со мир во домот свој.'
31. Дојде од Рогелим и Галадецот Верзелиј и го мина со царот Јордан, за да го придружи од онаа страна на Јордан.
32. А Верзелиј беше многу стар, на осумдесет години. Тој го хранеше царот, додека живееше во Маханаим, бидејки беше имотен човек.
33. Царот му рече на Верзелиј: 'Дојди со мене, и јас ке те хранам во Ерусалим.'
34. Но Верзелиј му одговори на царот: 'Многу ли ми останува да живеам, та да одам со царот во Ерусалим?
35. Сега сум на осумдесет години; ке разликувам ли добро од лошо? Ке го распознае ли слугата твој вкусот на тоа, што ке го јаде и ке го пие? И ке можам ли да го слушам гласот на пеачите и пеачките? Зошто, пак, слугата твој да му биде товар на својот цар - господар?
36. Слугата твој ке го придружи уште малку царот од оваа страна на Јордан: зашто, впрочем, царот да ме наградува со таква милост?
37. Дозволи му на слугата твој да се врати и да умре во својот град, крај гробот на татка си и на мајка си своја. Но, ете, слугата твој, синот мој Хамам, нека отиде со мојот цар - господар, и ти постапи со него, како што ти е воља.'
38. Царот му рече: 'Нека дојде Хамам со мене, и јас ке направам за него, она што ти е воља; и се, што би посакал ти од мене, ке направам за тебе.'
39. Тогаш сиот народ го премина Јордан, и царот исто така. Царот го бакна Верзелија и го благослови и тој се врати во домот свој.
40. И царот тргна за Галгал; тргна со него и Хамам; и сиот јудејски народ и половината Израилски народ го придружија царот.
41. И, ете, сите Израилци дојдоа при царот и му рекоа: 'Зошто нашите брака, мажите Јудини, те грабнаа тебе, и го преведоа преку Јордан царот и челадта негова и заедно со него и сите Давидови лу е?'
42. Сите Јудини мажи им одговорија на Израилците: 'Затоа, што царот ни е нам близок; и зошто се лутите поради тоа? Зар сме изеле нешто од царот, или сме добиле од него дарови? Или не ослободил од даноци?
43. А Израилците им одговорија на Јудините мажи и рекоа: 'Ние сме десет делови во царот, исто така и за Давида ние сме првенец, а не вие; зошто, пак, не унижија? Нели нам ни се па аше првиот збор, за да го вратиме нашиот цар? Но зборот на Јудините мажи беше посилен од зборот на Израилците.'

Глава 20

1. Случајно таму се нао аше еден лош човек, по име Савеј, син Вохоров, тај затруби со труба и рече: 'За нас нема дел со Давида и нема за нас наследство со Јесеевиот син; Израилци, сите во шаторите!'
2. И сите Израилци се одделија од Давида и отидоа по Савеј, синот Вохоров, а Јудејците останаа од страната на царот свој, од Јордан до Ерусалим.
3. Давид дојде во домот свој во Ерусалим; и ги зеде царот десетте жени наложници, што беше ги оставил да ја чуваат куката; ги смести во одделна кука под надзор; ги хранеше, но не одеше при нив. И тие престојуваа таму се до смртта своја и живееја таму како вдовици.
4. А Давид му рече на Амесај: 'Свикај ги за три дни Јудејците при мене и ти самиот дојди тука!'
5. И Амесај отиде да ги свика Јудејците, но се задржа повеке од одреденото време.
6. Тогаш Давид му рече на Авесаја: 'Вохоровиот син Савеј сега ке ви донесе повеке зло, отколку Авесалом; земи ги слугите на господарот свој и следи го, да не би да најде утврдени градови и да се сокрие од очите наши.'
7. И излегоа по него Јоавовите лу е, и Хелетејците и Фелетејците, и сите јунаци тргнаа од Ерусалим да го прогонуваат Вохоровиот син Савеј.
8. А кога се доближија до големиот камен, што е при Гаваон, ги сретна Амесај. Јоав беше облечен во воената облека своја и препашан со меч, кој висеше на колкот во ножница и кој лесно се вадеше од неа и влегуваше.
9. Јоав му рече на Амесаја: 'Здрав ли си, брате?' Јоав ја фати со десната рака своја брадата на Амесаја, за да го бакне.
10. Амесај, бидејки не се претпази од мечот, што беше во раката на Јоава, и тој го прободе со него во стомакот, така што внатрешнината му се истури на земја, а не го удри по вторпат, и тој умре. Јоав и братот негов Авеса го подгонија Савеја, Вохоровиот син.
11. Еден од Јоавовите слуги стоеше над Авесаја и велеше: 'Кој му е верен на Јоава и кој е за Давида, нека оди по Јоава!
12. А умрениот Амесај лежеше во крвта среде патот. И тој човек, гледајки, дека сите лу е се запираат над него, го одвлече Амесаја од патот во полето и стави врз него облека, бидејки виде, оти секој, што минуваше, се запираше над него.
13. Но кога тој беше одвлечен од патот, сиот народ Израилев тргна по Јоава да го гони Савеја, Вохоровиот син.
14. А тој мина низ сите Израилски племиња до Авел и Вет-Мах и преку целиот Берим; и сите жители од градовите се собираа и одеа по него.
15. И дојдоа и го опсадија Авел и Вет-Мах; издигнаа насип пред градот, се приближија до ѕидот, и сите лу е што беа со Јоава, напнаа да го соборат ѕидот.
16. Тогаш една умна жена изника од градскиот ѕид: 'Чујте, чујте, кажете му на Јоава да дојде ваму, и јас ке поразговарам со него.'
17. Јоав се приближи до неа, и жената праша: 'Ти ли си Јоав?' И тој одговори: 'Јас сум.' Таа рече: 'Чуј ги зборовите на слугинката твоја.' А тој одговори: 'Слушам'.
18. Таа рече: 'Едно време велеа: кој сака да праша, нека праша во Авел; и така го решаваа делото. Има ли уште такви, кои се решиле да останат верни Израилци? Нека прашаат во Авел, има ли уште?
19. Јас сум од мирните, верни градови израилски, а ти сакаш да го сосипеш градот, и тоа мајката (на градовите) во Израилот. Зошто да го разурнуваш наследството Господово?'
20. Јоав одговори и рече: 'Далеку е од мене да сосипувам или да разурнувам!
21. Тоа не е така; но еден човек од Ефремовата гора, по име Савеј, синот Вохоров, крена рака против царот Давида; само него дајте ми го, и јас ке отстапам од градот'. А жената му рече на Јоава: 'Еве, неговата глава ке ти биде фрлена од ѕидот.'
22. Жената отиде пред сиот народ со умните зборови свои и му зборуваше на целиот град да му ја пресечат главата на Савеј, Вохоровиот син. И му ја пресекоа главата на Савеј, Вохоровиот

син, и му ја фрлија на Јоава. Тогаш Јоав затруби со труба, и сите лу е се разотидоа од градот по шаторите свои; а Јоав се врати во Ерусалим при царот.
23. Јоав беше поставен над сета израилска војска, додека Ванеја, Јодаевиот син, над Хелетејците и над Фелетејците;
24. Адорам - над даноците; Јосафат, Ахилудовиот син, - за летописец;
25. Суса - за писар; Садок и Авијатар - за свештеници;
26. исто така и Ирас Јаирецот беше свештеник при Давида.

Глава 21

1. Во дните на Давида имаше по земјата три години глад, година по година. Давид го праша Господа. И Господ рече: 'Тоа е поради Саула и крвничкиот дом негов, поради тоа што ги погуби Гаваонците.'
2. Тогаш царот ги повика Гаваонците и зборуваше со нив. Гаваонците не беа од Израилевите синови, туку остатоци од Аморејците, на кои Израиците им беа дале клетва, но Саул сакаше да ги истреби од ревност кон потомците на Израилот и на Јуда.
3. И Давид им рече на Гаваонците: 'Што да направам за вас и со што да ве задоволам, за да го благословите наследството Господово?'
4. Гаваонците му одговорија: 'Не ни треба ни сребро, ни злато од Саула, ниту од неговиот дом, не ни треба ни да се убива кој и да било од Израилот.' Тој праша: 'А што сакате? Јас ке направам.'
5. Тие му одговорија на царот: 'Од оној човек, што не погубуваше и сакаше да не истреби, та да не нема во ниеден од Израилевите предели, -
6. од неговите потомци предај ни седум души, и ние ке ги обесиме среде бел ден пред Господа во Гива, градот на Саула, избраник Господов.' А царот рече: 'Ќе ви предадам.'
7. Но царот го пожали Мемфивостеја, синот на Јонатана, Саулов син, поради клетвата во имато Господово, која беше ме у нив, ме у Давида и Сауловиот син Јонатан.
8. И царот го зеде Армона и Мефивостеја, двајцата синови на Ресфа, од керка на Аија, која му ги беше родила на Саула, и петте синови на Мелхола, Саулова керка, што му ги беше родила на Ездрила, син на Мохулатецот Верзелиј,
9. и ги предаде во рацете на Гаваонците, и тие ги обесија среде бел ден на гората пред Господа. И загинаа сите тие седум души заедно; тие беа погубени во првите дни на жетвата, во почетокот на јачменовата жетва.
10. Тогаш Рисфа, керката на Аија, зеде врекиште, си го посла на онаа гора и седеше од почетокот на жетвата, се додека се излеаја врз нив од небото Божјите води, и не остави да се допрат до нив и птиците небески и ноке - полските ѕверови.
11. И му соопштија на Давида, што направила Ресфа, керката на Аија, Саулова наложница. И тие истлеани, ги прибра Дан, синот на Јоја, од потомците на исполините.
12. Давид отиде, та ги прибра коските на Саула и коските на синот негов Јонатан од жителите на Јавис Галадски, кои ги беа зеле тајно од плоштадот на Вет-Сан, каде што ги беа обесиле Филистејците, кога Филистејците го убија Саула во Гелвуја.
13. Тој ги пренесе оттаму коските на Саула и коските на синот негов Јонатан; и ги собра коските на обесените среде бел ден.
14. И ги погреба коските на Саула и на синот негов Јонатан, и коските на обесените среде бел ден во земјата Венијаминова, во Сила, во гробот на татко му Киса. И извршија се, што беше заповедал царот. И потоа Бог се смили над земјата.
15. И започна пак војна ме у Филистејците и Израилците. И излезе Давид и слугите негови со него и војуваа со Филистејците; и Давид се умори.
16. Тогаш Јесвеј, еден од Рефаимовите потомци, чие копје тежеше триста сикли бакар и кој беше препашан со нов меч, сакаше да го погуби Давида.
17. Но Авеса, Сауревиот син, му помогна, и Авеса го спаси Давида и го удри Филистеецот и го уби. Тогаш Давидовите лу е се заколнаа и рекоа: 'Ти нема повеке да излегуваш со нас во војна, за да не згасне светилото Израилево.'
18. Потоа пак имаше војна со Филистејците во Гет; тогаш Совохај го уби Сафута, еден од Рефаимовите потомци.
19. Стана и друга битка во Гет; тогаш Елханан, синот на Ариоргима Витлеемецот, го уби Гетецот Голијат, на кого дршката на копјето му беше колку ткаечко кросно.
20. Стана уште една битка во Гет; и таму имаше еден купен човек, исто така од Рефаимовите потомци, со по шест прсти на рацете и на нозете, се дваесет и четири.

21. Тој ги навредуваше Израилците; но Јонатан, синот на Сафаја, Давидовиот брат, го уби.
22. Тие четворицата беа од родот на Рефаимовиците во Гет, и паднаа од раката на Давида и на слугите негови.

Глава 22

1. И Давид испеа песна за Господа во денот, кога Господ го спаси од раката на сите непријатели негови и од раката на Саула, велејки:
2. 'Господ е мојата тврдина, моја крепост и мој спасител.
3. Мојот Бог е моја карпа; на Него се надевам; мој штит, рог на моето спасение, моја заштита и мое прибежиште; Спасителе мој, Ти ме спаси од непријатели.
4. Ќе го призовам сефалениот Господ и од непријателите мои ќе се спасам.
5. Бранови на смртта ме прегрнаа, и потоци од беззаконија ме исплашија;
6. веригите на пеколот ме обвиткаа, и стапици на смртта ме обмотаа.
7. Но во притеснувањето свое го призвав Господа и повикав кон мојот Бог, и Он го чу од Својот свет дворец гласот мој, и повикот мој стигна до ушите Негови.
8. Се затресе, се разниша земјата, затреперија и се поместија основите небески, зашто се разгневи Господ на нив.
9. Се крена дим од гневот Негов, и уривачки оган од устата Негова; жив јаглен се сипеше од Него.
10. Он ги наведна небесата и слезе; и мрак беше по нозете Негови;
11. седна на херувимите, летна и се понесе на ветрови крила;
12. и со мрак се покри како со шатор, згуснувајки ги водите на облаците небески;
13. од болскотот пред Него се усвитуваа огнени јаглени.
14. Загрме Господ од небесата, и Севишниот го пушти Својот глас;
15. пушти стрели свои и ги распрсна; болсна со секавица и ги истреби.
16. Се открија изворите морски, се покажаа основите на вселената од страшниот глас на Господа, од дувањето на духот на Неговиот гнев.
17. Он подаде рака од височините, ме фати и ме извлече од големите води;
18. Ме спаси од силниот непријател мој, од оние, што ме мразеа, што беа посилни од мене.
19. Тие станаа против мене во денот на мојата невоља; но Господ ми беше потслон,
20. и ме изведе на широко место, ме спаси, зашто Он благоволи кон мене.
21. Ми воздаде Господ според мојата правда, ме награди според чистотата на рацете мои.
22. Зашто јас ги пазев патиштата Господови и не бев нечестив пред мојот Бог,
23. бидејки сите заповеди Негови се пред мене, и од заповедите Негови не отстапував,
24. бев непорочен пред Него и внимавав да не згрешам.
25. И Господ ми воздаде според мојата правда, според чистотата моја пред Неговите очи.
26. Со милостивиот Ти постапуваш милостиво, со искрениот маж, - искрено,
27. со чистиот - чисто, а со лукавиот - според лукавството негово.
28. Ти ги спасуваш угнетените и со погледот Свој ги уништуваш горделивите.
29. Ти си Господ, светило мое; Господ ја просветлува мојата темнина.
30. Со Тебе победувам војска; со мојот Бог прескокнувам ѕид.
31. Бог! непорочен е Неговиот пат, чисто е словото Негово; Он е штит за сите, што се надеваат на Него,
32. зашто, кој е Бог, освен Господа, и кој е сила, што се надеваат на Него,
33. Бог ме препаша со сила, ми подготвува чист пат.
34. Ми ги прави нозете како на елен, и ме поставува на висини;
35. ги учи рацете мои на борба, и ги напрегнува мускулите мои како бакарен лак.
36. Ти ми го даваш штитот на Твоето спасение, и Твојата милост ме возвеличува.
37. Ти ги зголемуваш чекорите мои под мене, и моите нозе не се нишаат.
38. Јас ги гонам непријателите мои и ги истребувам, и не се вракам додека не ги уништам;
39. ги истребувам и ги поразувам, и тие не стануваат, а па аат по нозете мои.
40. Ти ме препашуваш со сила за бој и ги кутнуваш пред мене оние што станале против мене;
41. Ти го свртуваш кон мене грбот на моите непријатели, и јас ги истребувам оние, што ме мразат.

42. Тие викаат, но нема кој да ги спаси, - кон Господа, но Он не ги слуша.
43. Ги тријам како прав земен, како улична кал ги размачкувам и ги газам.
44. Ти ме спаси од побуната на мојот народ; Ти ме зачува, за да бидам глава над другородците; народ, што не го познавав, ми слугува.
45. Другородците ми ласкаат; штом ке чујат за мене, ми се покоруваат.
46. Другородците бледнеат и треперат во своите тврдини.
47. Жив е Господ и благословен е мојот заштитник! Нека се превознесува Бог, прибежиште на моето спасение,
48. Бог, Кој одмаздува за мене, Кој ми ги покорува народите
49. и Кој ме спасува од непријателите мои! Над оние, што станувaа против мене, Ти ме воздигна; Ти ме избави од жестокиот човек.
50. Затоа ке Те превознесувам Тебе, Господи, ме у незнабошците и ке го воспевам името Твое.
-
51. Тебе, Кој славно го спасуваш Својот цар и му правиш милост на помазаникот Свој Давида и на потомството негово засекогаш.'

Глава 23

1. Еве ги последните Давидови зборови, словото на Јесеевиот син Давида, беседата на оној маж, кој е високо поставен, на помазаникот на Бога Јаковов и на слаткопевецот Израилев:
2. 'Духот Господов говори во мене, и словото Негово е на јазикот мој.
3. Рече Бог Израилев, говори за мене карпата Израилева: Оној, што господари со лу ето, нека биде праведен, да господари со страв Божји.
4. И како што изутрина на разденување, при изгрејсонце на безоблачно небо, од греењето по дожд изразнува од земјата трева,
5. така е и со мојот дом во Бога. Зашто Он склучи со мене завет вечен, цврст и неизменлив. Така излегува од Него сето мое спасение и сета моја желба.
6. А нечестивите ке бидат како исфрлено трње, кое не се фака со рака;
7. но кој сака да се допре до него, се вооружува со железо или со дрво од копје, и на местото во оган го изгорува.'
8. Еве ги имињата на јунаците Давидови: Хананеецот Евостеј, главен ме у тројцата: тој го крена копјето свое против осумстотини души и ги порази наеднаш.
9. По него беше Елеазар, син од братот на татка му, еден од тројцата јунаци што беа со Давида и кои со префрлувања ги предизвикуваа Филистејците, кога тие се беа собрале да војуваат.
10. Израилците излегоа против нив, и тој застана и ги поразуваше Филистејците дотаму, додека му се измори раката и се прилепи до мечот. И во тој ден Господ даде голема победа, и народот тргна по него, само за да ги собира убиените.
11. По него - Сама, син на Харовитецот Агеј. Кога Филистејците се собраа во Тирија, каде што имаше нива засеана со лека, народот избега од Филистејците,
12. но тој застана среде нивата и ја заштити и ги порази Филистејците. И тогаш Господ даде голема победа.
13. Тие тројца главни ме у триесетте војводи отидоа и влегоа по жетва при Давида во Одоламската пештера, кога филистејските војници стоеја во долината на Рефаим.
14. Тогаш Давид беше во укрепено место, а филистејската војска во Витлеем.
15. Давид побара да пие и рече: 'Кој ке ми донесе да пијам вода од Витлеемскиот кладенец, што е при портите?'
16. Тогаш тие тројцата јунаци се провреа низ Филистејскиот логор, зафатија вода од Витлеемскиот кладенец, што е при портите, и зедоа, па му донесоа на Давида. Но тој не сакаше да ја пие, туку ја излеа во слава на Господа,
17. и рече: 'Да ме чува Господ да го направам тоа! Не е ли тоа крв на лу ето, што одеа, со опасност по животот свој?' И не сакаше да пие. Ете што извршија тие тројца јунаци!
18. А Авеса, братот на Саруевиот син Јоав, беше главен ме у тројцата; тој уби со копјето свое триста души и се прослави ме у тие тројца.
19. Ме у тројцата тој беше највиден и им стана началник, но на оние тројца не им беше рамен.
20. Ванеја, син на храбиот маж Јодаја, од Кавсаил, голем по делата, ги порази двајцата синови на Ариила Моавски; тој истиот слезе во еден ров и уби лав по снежно време;
21. тој уби и еден Египтјанин, виден човек; Египтјанинот имаше во раката копје, а тој излезе против него со стап и го грабна копјето од раката на Египтјанинот и го уби со неговото копје, -
22. ете, тоа го изврши Јодаевиот син Ванеја, и беше славен ме у тројцата јунаци;
23. тој беше повиден од триесетте, на оние тројца не им беше рамен. И Давид го постави за најблизок извршител на заповедите свои.
24. Еве ги имињата на силните при царот Давида: Асаил, братот на Јоава - во бројот на триесетте; Елхаанан, синот на Додо, од Витлеем,
25. Сама Харотитецот, Елика Харотитецот,
26. Хелис Келотицот, Ира, синот на Екиса,
27. Авиезер Анатотецот, Савукеј од Асотит,
28. Елаон Неотитски, Махарај Нетофатецот,

29. Хелев Нетофатецот, син Ванин, Итај, син на Ривеја од синовите Венијаминови во Гива,
30. Ванеас Фаратоитски, Идај од Нахле-Гааш.
31. Ави-Албои Арбатитецот, Азмавет Бархумитецот,
32. Елихајба Шалбонецот; од синовите на Јашена - Јонатан,
33. Сама Арарарин, Ахијам, син Сараров,
34. Елифелет, син Асвезов, син на Маахатинец, Елијам Гилонецот, син на Ахитофела,
35. Серај Кармелитец, Фареј Арбитец,
36. Игал, Натанов син - од Сова, Вани од Гад,
37. Селек Амониецот, Нахареј Беротецот, оруженосец на Јоава, Саруев син,
38. Ирас Етирски, Гарев Јетрејски,
39. Урија Гетејски. Се - триесет и седум.

Глава 24

1. Гневот Господов пак се разгори против Израилците и го поттикна ме у нив Давида да рече: 'Оди, преброј го Израилот и Јуда.'
2. И царот му кажа на војводата Јоав, кој беше при него: 'Обиколи ги сите племиња Израилеви и Јудини од Дав до Вирсавија, и пребројте го народот, за да знам, колку народ има.'
3. Јоав му рече на царот: 'Господ, Бог твој, да го умножи народот толку, колку што е, и уште стократно толку, и очите на господарот мој царот да го видат тоа; но зошто мојот цар - господар го бара тоа сега?'
4. Но царскиот збор кон Јоава и воените началници надвладеа. И Јоава заедно со воените началници излезе од царот да го поребројува Израилскиот народ,
5. Тие го минаа Јордан и се здржаа во Ароир, десно од градот, што е среде долината Гад и Елиезер,
6. и дојдоа во Галад и во земјата Тахтим - Ходиш; и стигнаа во Гавастан и Истан и го заобиколија Сидон;
7. дојдоа во Тирската тврдина и во сите хевејски и хананејски градови, излегоа на југ од Јудеја, во Вирсавија,
8. ја обиколија целата земја и стигнаа во Ерусалим по девет месеци и дваесет дена.
9. Јоав му го предаде на царот списокот за народното пребројување; и излезе, дека Израилци имаше осумстотини иљади мажи, силни, способни за војна, а Јудејци - петстотини иљади.
10. И откако Давид го преброи народот, срцето му затрепка. И му рече Давид на Господа: 'Тешко згрешив, што постапив така; и сега Ти се молам, Господи, прости му го гревот на Твојот слуга, зашто јас постапив многу неразумно.'
11. Кога Давид стана на другиот ден изутрина, би слово Господово кон пророкот Гад, Давидов јасновидец:
12. 'Оди и кажи му на Давида: вака вели Господ: три казни ти предлагам; одбери се една од нив, што ке се исполни над тебе.'
13. И дојди Гад при Давида, му соопшти и рече: 'Одбери си, глад ли да биде во земјата твоја седум години, или три месеци да бегаш од непријателите свои, и тие да те гонат, или, пак, три дни да владее помор во твојата земја? Сега размисли и реши, што да Му одговорам на Оној, Кој ме испрати.'
14. Давид му одговори на Гад: 'Многу ми е тешко; но нека паднам во рацете на Господа, зашто големо е Неговото милосрдие; само да не паднам во човечки раце.' И Давид избра помор во времето на пченичната жетва.
15. И испрати Господ помор врз Израилците од утрината до определеното време. И помор почна во народот и умреа од народот, од Дан до Вирсавија, седумдесет иљади души.
16. И Ангел Божји ја испружи раката своја над Ерусалим, за да го опустоши; но Господ се покаја за злото и му кажа на Ангелот, кој го поразуваше народот: 'Доста, сега спушти ја раката своја.' А Божјиот Ангел тогаш беше при гумното на Евусеецот Орна.
17. Кога Давид го виде Ангелот, кој што го поразуваше народот, Му рече на Господа, велејки: 'Ете, јас згрешив, јас пастирот постапив беззаконо; но овие овци што направиле? Затоа Твојата рака нека се сврти против мене и против татковиот ми дом.'
18. И во тој ден дојде Гад при Давида и рече: 'Оди изгради му жртваник на Господа врз гумното на Евусеецот Орна.'
19. Тогаш Давид отиде според зборот на продокот Гад, како што беше заповедал Господ.
20. Орна погледна и виде, дека царот и слугите негови доа аат при него; излезе Орна и му се поклони на царот ничкум до земја.
21. Орна праша: 'Зошто дошол мојот цар - господар при својот слуга?' Давид му одговори 'Да го купам од тебе гумното, за да изградам жртвеник на Господа, та да престане поморот во народот.'
22. Орна му рече на Давида: 'Господарот мој, царот, нека земе и принесе жртва што му е по

воља. Ете, воловите за сепаленица, и колата и уредите за впрегнување на воловите - за дрва.
23. Сето тоа, царе, Орна му го дава на царот.' Орна му кажа уште на царот: 'Господ, твојот Бог, нека биде милостив кон тебе!'
24. Но царот му рече на Орна: 'Не, јас ке ти платам, колку што чини, и нема да му принесам на Господа, мојот Бог, жртва, земена како дар.' И Давид го купи гумното и воловите за педесет сикли сребро.
25. Давид изгради таму жртвеник на Господа и принесе сепаленици и мирни жртви. Подоцна Соломон го прошири жртвеникот, бидејки беше мал. И Госопод се смилостиви над земјата и поморот кај Израилците престана.

# 1 Царeви

Глава 1

1. Кога царот Давид остаре и исполни години, иако го завиткуваа во алишта, но не можеше да се стопли.
2. Тогаш неговите слуги му рекоа: 'Нека побараат за нашиот цар - господар млада девица, за да стои при царот, да го гледа и да лежи при него, - и ке му биде топло на нашиот цар - господар.'
3. И бараа по сите израилски предели убава девица, и ја најдоа Ависага, Сунамитка, и ја доведоа при царот.
4. Девицата беше многу убава; таа го гледаше царот и му служеше; царот, ме утоа, не ја позна.
5. Адонија, синот Агитин, се возгордеа и рече: 'Јас ке бидам цар.' Па си набави коњи и коњаници и педесет души брзоодци.
6. Но татко му негов не го обеспокојуваше никогаш со прашањето: 'Зошто го правиш тоа?' Тој беше многу убав, а му се беше родил по Авесалома.
7. И тој се советуваше со Саруевиот син Јоав и со свештеникот Авијатар, и тие му помагаа на Адонија.
8. Но свештенкот Садок и Ванеја, Јодаевиот син, пророкот Натан, Семеј, Рисиј и Давидовите јунаци не ја држеа страната на Адонија.
9. И Адонија закла овци, волови и телиња при каменот Зоелет, што е при изворот Рогел, и ги покани сите свои брака, царски синови, и сите Јудејци што служеа при царот.
10. А пророкот Натан и Ванеја, и другите јунаци и братот свој Соломона не ги покани.
11. Тогаш Натан и рече на Вирсавија, Соломоновата жена, велејки: 'Слушна ли, дека Агитиниот син Адонија се прогласи за цар, а нашиот господар Давид не знае за тоа?
12. Сега, ете, јас те советувам: спасувај го животот свој и животот на синот свој Соломона.
13. Оди и влези при царот Давида и кажи му: 'Нели и се колнеше, господару мој, цару, на слугинката своја, велејки - синот твој Соломон ке биде цар по мене и тој ке седне на престолот мој? - Зошто тогаш се прогласил за цар Адонија?'
14. И ете, додека уште говориш таму со царот, ке влезам јас со тебе и ке ги дополнам твоите зборови.'
15. Вирсавија отиде при царот во спалната; царот беше многу стар, и Сунамитката Ависага му служеше.
16. Вирсавија се наведна и му се поклони на царот; царот праша: 'Што бараш?'
17. Таа му одговори: Ти и се заколна на слугинката своја во Господа, твојот Бог: - син ти Соломон ке царува по мене и тој ке седне на мојот престол.
18. А сега, ете, Адонија се прогласил за цар, а ти, господару мој, цару, не знаеш за тоа.
19. Тој заклал многу волови, телиња и овци и ги поканил сите царски синови, свештеникот Авијатар и воениот началник Јоав; а Соломон, твојот слуга, не го поканил.
20. Но ти си цар, господару мој, и кон тебе се свртени очите на сите Израилци, за да им соопштиш, кој ке седне на престолот на мојот цар - господар по него.
21. Инаку кога мојот господар, царот, ке почина при татковците свои, ке ме обвинат мене и синот мој Соломона.'
22. Додека таа уште говореше со царот, дојде и пророкот Натан.
23. Му соопштија на царот, велејки: 'Еве го пророкот Натан.' И тој влезе при царот и му се поклони ничкум до земја.
24. И Натан рече: 'Господару мој, цару! Си рекол ли ти: ‘Адонија ке царува по мене и тој ке седне на мојот престол?‘
25. Зашто тој сега слегол, заклал многу волови, телиња и овци, ги поканил сите цареви синови, воени началници и свештеникот Авијатар, и, ете, тие јадат и пијат кај него, и извикуваат: 'Да живее царот Адонија!'
26. А мене, твојот слуга, свештеникот Садок, Јодаевиот син Ванеја и твојот слуга Соломона не

не покани.
27. Дали станало тоа по вољата на мојот цар - господар? И зошто ти не му откри на својот слуга, кој ке седне на престолот на мојот цар - господар по него?'
28. Одговори цар Давид и рече: 'Повикајте ми ја Вирсавија.' Таа влезе и застана пред царот.
29. Царот се колнеше и велеше: 'Жив е Господ, кој ја спасуваше душата моја од секоја невоља!
30. Како што ти се колнев во Господа, Бога Израилев, велејки дека син ти Соломон ке царува по мене и тој ке седне на престолот мој место мене, - така и ке го направам тоа денес.'
31. Тогаш Вирсавија се наведна ничкум до земја, му се поклони на царот и рече: 'Да живее мојот господар, царот Давид, засекогаш!'
32. И царот Давид рече: 'Повикајте ми го свештеникот Садок, пророкот Натана и Јодаевиот син Ванеја.' И тие влегоа при царот.
33. Тогаш царот им рече: 'Земете ги со себеси слугите на вашиот господар, качете го Соломона, мојот син, на маската моја и одведете го во Гион.
34. И таму свештеникот Садок и пророкот Натан нека го помажат за цар над Израилот, затрубете со труба и извикајте: 'Да живее царот Соломон!'
35. Потоа придружете го назад, и тој ке дојде и ке седне на мојот престол; тој ке царува место мене; нему сум му ветил да биде водач на Израилот и на Јуда.'
36. Ванеја, Јодаевиот син, му одговори на царот и рече: 'Амин! - така нека каже Господ, Бог на мојот цар - господар:
37. како што Господ беше со мојот цар - господар, така да биде Он и со Соломона и да го возвеличи престолот негов повеке од престолот на мојот господар, царот Давида!'
38. Тогаш свештеникот Садок, пророкот Натан, Јодаевиот син Ванеја, Хетејците и Фелетејците отидоа и го качија Соломона на маската од цар Давида и го поведоа кон Гион.
39. И свештеникот Садок зеде рог со елеј од скинијата и го помаза Соломона. И затрубија со труба, и сиот народ извика 'Да живее царот Соломон!'
40. И сиот народ го придружуваше Соломона и народот свиреше со свирки и многу се радуваше, така што земјата трепереше од викањето негово.
41. И чу Адонија и сите поканети од него, што беа престанале да јадат; а Јоав, откако чу звук на труба, запраша: 'Од што ли е овој шум на разбрануваниот град?'
42. Додека уште говореше, дојде Јонатан, синот на свештеникот Авијатар. И Адонија му рече: 'Влези, ти си чесен човек и носиш добра вест.'
43. Јонатан одговори и му рече на Адонија: 'Нашиот господар, царот Давид, го постави Соломона за цар;
44. и царот испрати со него свештеникот Садок, пророкот Натан, Јодаевиот син Ванеја, Херетејците и Фелетејците, и тие го качија на царската маска;
45. и свештеникот Садок и пророкот Натан го помазаа во Гион за цар, и тргнаа оттаму со радост, и градот се раздвижи. Ете од што е шумот, што го слушате.'
46. И Соломон веке седна на царскиот престол.
47. А царските службеници доа аа да го поздрават нашиот господар, царот Давида, велејки: 'Твојот Бог нека го прослави името на Соломона повеке од твоето име и нека го возвеличи неговиот престол повеке од твојот престол!' И царот се поклони од леглото свое
48. и го рече ова: нека е благословен Господ, Бог Израилев, Кој денес од семето мое го дарува седнатиот на мојот престол, и тоа моите очи да го видат!'
49. Тогаш сите поканети при Адонија се уплашија, станаа и се разотидоа секој по патот свој.
50. Адонија, пак, плашејки се од Соломона, стана, отиде и се фати за роговите на жртвеникот.
51. и му соопштија на Соломона, велејки: 'Адонија се плаши од царот Соломона, и, ете, тој се држи за роговите на жртвеникот и вели: 'Нека ми се заколне сега царот Соломон, дека нема да го убие со меч својот слуга.''
52. И Соломон рече: 'Ако тој биде чесен човек, ни едно влакно од него нема да падне на земјата; но, ако се најде во него лукавство, ке умре.'
53. Тогаш Соломон истрати, та го доведоа од жртвеникот. Тој дојде и му се поклони на цар

Соломона. А Соломон му рече: 'Оди во домот свој!'

Глава 2

1. Наближи времето да умре Давид, и тој му заповеда на синот свој Соломона, велејки:
2. 'Еве, јас заминувам по патот на сите смртни, а ти биди храбар и човек,
3. и чувај го заветот Господов, твојот Бог, одејки по Неговите патишта и да ги чуваш повелбите Негови и заповедите Негови, судовите Негови и законите Негови, како што е напишано во Мојсеевиот закон, за да бидеш благоразумен во се, што и да правиш, и насекаде, каде и да се свртиш,
4. та Господ да го исполни зборот Свој, што го беше кажал за мене, велејки: ‘Ако твоите синови ги чуваат патиштата свои, за да одат пред Мене во вистината од се срце и од сета душа, нема да недостига човек од тебе на Израилевиот престол.‘
5. Но - ти знаеш, што ми направи Саруевиот син Јоав, како постапи со двајцата војводи на израилската војска, со Нировиот син Авенир и со Јетеровиот син Амасеј, како ги уби и во мирно време пролеа крв како во борба, и со борбена крв го искрвави појасот на крстот свој и обувките на нозете свои;
6. а ти постапи со мудроста своја, за да не ја отпуштиш староста негова со мир во пеколот.
7. А на синовите од галадецот Верзелиј направи им милост, та да бидат ме у оние, што се хранат на твојата трпеза, бидејки тие дојдоа при мене, кога бегав од братот твој Авесалома.
8. Ете, при тебе е и Семеј, синот на Венијаминецот Гера од Ваурим; тој ме навредуваше со тешки навреди, кога одев во Маханаим; но тој ми излезе во пресрет при Јордан, и јас му се заколнав во Господа, велејки: нема да те погубам со меч.
9. Но ти не го оставај неказнет, бидејки си мудар човек и знаеш што треба да направиш со него, та да ја собориш староста негова окрвавена во пеколот.'
10. И потоа Давид почина при татковците свои и беше погребан во Давидовиот град.
11. А Давид царуваше над Израилот четириесет години: во Хеврон царуваше седум години и во Ерусалим царуваше триесет и три години.
12. Тогаш Соломон седна на престолот на татка си Давида, и царството негово се зацврсти многу.
13. А Адонија, Агитиниот син, дојде кај Вирсавија, Соломоновата мајка и и се поклони. Таа го праша: 'Со мир ли си дојден?' Тој одговори: 'Со мир.'
14. И тој рече: 'Имам нешто да ти кажам.' Таа му рече: 'Кажувај.'
15. Тогаш тој продолжи: 'Ти знаеш, дека царството ми се па аше мене, и сиот Израил ги свртуваше погледите кон мене, како кон иден цар; но царството отиде од мене и се падна на братот мој, бидејки тоа беше од Господа.
16. Сега те молам за едно: не ми откажувај.' Таа му рече: 'Говори.'
17. И тој пак продолжи: 'Те молам проговори му на царот Соломона, бидејки тој нема да ти откаже, да ми ја даде за жена Сунамитката Ависага.'
18. Вирсавија одговори: 'Добро, јас ке зборувам со царот за тебе.'
19. И Вирсавија влезе при царот Соломона да му говори за Адонија. Царот стана пред неа, и се поклони и седна на престолот свој. Поставија престол и за царевата мајка, и таа седна десно од него;
20. и рече: 'Имам една молба кон тебе, не ми откажувај.' А царот и одговори: 'Барај, мајко, нема да ти откажам.'
21. Таа рече: 'Дај му ја Сунамитката Ависага за жена на братот твој Адонија.'
22. Тогаш цар Соломон одговори и и рече на мајка си: 'А зошто ја бараш Сунамитката Ависага за Адонија? Побарај го за него и царството, бидејки тој ми е поголем брат, откај него се свештеникот Авијатар, и Саруевиот син Јоав воен началник и пријател.'
23. И царот Соломон се заколна во Господа, велејки: ‘Тоа и тоа да ми направи Господ и уште повеке да ми додаде, ако Адонија не ги кажал тие зборови по цана на душата своја.‘
24. А сега - 'жив ми Господ, Кој ме зацврсти и постави на престолот од мојот татко Давида и Кој ми основа дом, како што беше говорел Он, - сега Адонија треба да умре.'

25. И царот Соломон го испрати Јодаевиот син Ванеја, кој го удри и тој умре.
26. На свештеникот Авијатар царот му рече: 'Оди си во Анатот на нивата своја; ти заслужуваш смрт, но сега нема да те погубам, бидејки си го носел ковчегот на Господа Бога пред татко ми Давида, и си трпел се, што трпел и татко ми.'
27. И Соломон го отстрани Авијатара од Господовото свештенство, и се исполни словото на Господа, што го беше кажал за Илиевиот дом во Силом.
28. Дојде глас за тоа до Јоава, - бидејки Јоав ја држеше страната на Адонија, а не ја држеше страната на Соломона, - и Јоав избега во Господовата скинија и се фати за роговите на жртвеникот.
29. Му соопштија на цар Соломона, дека Јоав избегал во Господовата скинија и дека е кај жртвеникот. Соломон го испрати Јодаевиот син Ванеја, велејки: 'Оди, убиј го и погреби го.'
30. Ванеја дојде во Господовата скинија и му рече на Јоава: 'Вака кажа царот: излегувај.' А тој одговори: 'Не, јас сакам тука да умрам.' Ванеја му го соопшти тоа на царот, велејки: 'Така рече Јоав и така ми одговори.'
31. Царот му рече: 'Направи како што рекол тој: убиј го и погреби го, и пролеаната невина крв од Јоава ке ја измиеш од мене и од домот на татка ми;
32. Господ нека ја сврти крвта негова врз неговата глава, поради тоа што уби двајца невини мажи подобри од него: тој го погуби со меч, без знаење на татка ми Давида, Нировиот син Авенир, воен началник Израилски, и Етеровиот син Амасеј, воен началник Јудејски;
33. нека се сврти крвта нивна врз главата на Јоава и врз потомството негово засекогаш, а на Давида, и на потомството негово, и на домот негов, и на престолот негов нека биде мир од Господа засекогаш!'
34. И отиде Јодаевиот син Ванеја, го удри Јоава и го уби; и тој беше погребан во куката своја, во пустињата.
35. Тогаш царот Соломон го постави Јодаевиот син Ванеја над војската место него; а управата на царството беше во Ерусалим. Свештеникот Садок, пак, царот го постави за првосвештеник место Авијатара.
36. Царот испрати, та го повика Семеја и му рече: 'Изгради си дом во Ерусалим и живеј тука и никаде не излегувај оттука;
37. и знај, дека во оној ден, во кој ке излезеш и ке го минеш потокот Кедрон, бездруго ке умреш; крвта твоја ке биде врз твојата глава.'
38. А Семеј му рече на царот: 'Добро; како што заповеда мојот цар - господар, така ке направи твојот слуга.' И Семеј живееше во Ерусалим долго време.
39. Но по три години се случи, та двајца од Семеевите слуги да избегаат при гетскиот цар Анхус, Махов син. И му јавија на Семеја, велејки: 'Ете, твоите слуги се во Гет.'
40. Семеј стана, го оседла оселот и тргна за Гет при Анхуса да ги бара слугите свои. Семеј се врати и ги доведе слугите свои од Гет.
41. И го известија Соломона, дека Семеј одел од Ерусалим во Гет и се вратил.
42. Тогаш царот испрати, та го повика Семеја и му рече: 'Нели ти се заколнав во Господа и не ли ти соопштив, велејки: знај дека во оној ден, во кој ке излезеш и ке отидеш некаде, бездруго ке умреш? И ти ми одговори: добро.
43. Па зошто не ја запази заповедта, што ти ја дадов пред Господа со клетва?'
44. Уште му рече на Семеја царот: 'Ти го знаеше и го знае срцето твое сето зло, што си му го направил на татка ми Давида. Туку Гсопод нека ја сврти злобата твоја врз твојата глава!
45. А цар Соломон да биде благословен, и Давидовиот престол да стои цврсто пред Господа засекогаш!'
46. И царот му заповеда на Јодаевиот син Ванеја, и тој отиде, та го удри Семеја, и тој умре.

Глава 3

1. Кога се зацврсти царствово во рацете на Соломона, Соломон се сроди со Фараонот, египетскиот цар, и ја зеде фараоновата керка и ја воведе во Давидовиот град, додека да го изгради домот свој, домот Господов и ѕидовите околу Ерусалим.
2. Народот уште принесуваше жртви по обречените места, бидејќи до она време не беше изграден дом на името Господово.
3. Соломот го возљуби Господа, одејќи по наредбите на татка си Давида, но и тој принесуваше жртви и кадеше по оброчиштата.
4. Затоа царот отиде во Гаваон, за да принесе таму жртва, бидејќи таму беше главиот жртвеник. Иљада сепалениците принесе Соломон врз тој жртвеник.
5. Во Гаваон Господ му се јави на Соломона ноќе во сон и му рече: 'Барај што сакаш да ти дадам.'
6. Соломон одговори и рече: 'Ти му направи голема милост на Твојот слуга, татка ми Давида; и поради тоа што тој одеше пред Тебе, по вистината и правдата и со искрено срце пред Тебе, Ти му ја зачува таа голема милост и му подари син, кој ќе седи на престолот негов, како што е тоа денес;
7. и денес, Господи, Боже мој, Ти го постави за цар Твојот слуга место татка ми Давид, но јас сум сосема млад, не знам ни да излегувам, ни да влегувам.
8. А Твојот слуга е среде Твојот народ, што си го избрал, народ толку многуброен, па поради мноштвото негово не може ни да се преброи, ни да се догледа.
9. Подари му, пак, на Твојот слуга разумно срце, за да му служи на Твојот народ и да разликува: што е добро и што е зло; зашто, кој може да управува со тој многуброен Твој народ?'
10. Угодно Му беше на Господа, што Соломон го побара тоа.
11. Господ му рече: 'Затоа што го побара тоа, и не побара за себеси долг живот, не побара богатство, не ги побара душите на твоите непријатели, туку си побара разум, за да умееш да судиш, -
12. Јас ќе направам според зборот твој: еве, ти давам мудро и разумно срце, така што подобен на тебе немало пред тебе, и по тебе нема да се издигне сличен на тебе;
13. и она што не го побара, Јас ти го давам, - и богатство, и слава, така што нема да има подобен на тебе меѓу царевите во сите твои денови;
14. и ако одиш по Мојот пат, пазејќи ги Моите наредби и Моите заповеди, како што одеше татко ти Давид, ќе ги продолжам и твоите дни.'
15. Соломон се разбуди, и, ете, тоа беше сон. И отиде во Ерусалим, та застана пред жртвеникот при ковчегот на заветот Господов, принесе сепаленици и жртви благодарствени и богато ги нагости сите слуги свои.
16. Тогаш дојдоа при царот две жени блудници и се исправија пред него.
17. И едната жена рече: 'О, господаре мој! Јас и оваа жена живееме во една куќа, и родив при неа во таа куќа;
18. а на третиот ден, откако родив, роди и таа жена; ние бевме заедно, и во куќата при нас немаше никој надворешен човек; само ние двете бевме во куќата.
19. Преку ноќ умре синот на оваа жена, зашто беше легнала врз него;
20. а таа преку ноќ станала, го зела мојот син од мене, кога јас, твојата слугинка, сум спиела, и го ставила до градите свои, а својот мртов син го ставила до моите гради.
21. Утредента станав да го надојам синот свој, и ете, тој беше мртов; а кога на виделина се загледав во него, тоа не беше мојот син, што го бев родила.'
22. Другата жена рече: 'Не, мојот син е живиот, а твојот син е умрениот.' А таа и велеше: 'Не, твојот син е умрениот, а мојот е живиот.' И се препираа така пред царот.
23. Царот тогаш рече: 'Оваа говори: мојот син е живиот, а твојот е умрениот; а онаа говори: 'Не, твојот син е умрениот, а мојот син е живиот.'

24. Потоа царот рече: 'Дајте ми меч!' И му донесоа меч.
25. И тогаш царот рече: 'Пресечете го живото дете на две половини и дајте ја едната половина на едната, а другата половина на другата.'
26. И му одговори на царот онаа жена, чиј беше живиот син, зашто целата нејзина утроба се беше растреперила од жал спрема нејзиниот син: 'О, господаре мој! Дајте и го тоа дете живо и не го убивајте'. А онаа другата рече: 'Нека биде ни мое, ни твое, сечете го!'
27. И царот проговори и рече: 'Дајте и го живото дете на првата, и не го убивајте: таа е неговата мајка.'
28. И сиот Израил чу за судот, како пресуди царот. И почнаа да се плашат од царот, зашто видоа дека има мудрост Божја во него, за да извршува суд.

Глава 4

1. Царот Соломон беше цар над сиот Израил.
2. И еве кои беа неговите кнезови: Азарија, син на свештеникот Садок;
3. Елихореф и Ахија, синови на Сива - писари; Јосафат, Ахилудов син - летописец;
4. Ванеја, Јодаевиот син, - војвода, Садок и Авијатар - свештеници;
5. Азарија, Натановиот син, - началник на управителите, и Завут, син на свештеникот Натан, - пријател на царот;
6. Ахисар, - управник на царскиот дом, а Адонирам, - син Авдин - на даноците.
7. Соломон имаше дванаесет управници над сиот Израил, кои му доставуваа храна на царот и на неговиот дом; секој беше должен да доставува храна за по еден месец во годината.
8. Еве ги имињата нивни: синот Уров - на Ефремовата гора;
9. синот на Декер - во Макас и во Салвим, во Ветсамис, во Елон и во Вет-Анан;
10. синот Седафоф - во Арувот; нему исто така му припа аше Сохот и целата земја Оферова;
11. синот на Аминадав - над целиот крај Дор; а Тафат, Соломоновата керка, беше негова жена;
12. Вана, Ахилудовиот син, во Тенах и Мегидон, и во целиот Вет-Сан кој е блузи до Сартан под Језраел, од Вет-Сан до Авел-Мехол, и дури зад Јок-Меам;
13. синот Геверов - во Рамот Галадски; нему му припа аа селата на Јаира, Манасиев син, кои се во Галад; нему му припа аше и областа Аргов, во Васан, шеесет големи градови со ѕидови и бакарни резиња;
14. Ахинадав, Идов син, во Маханаим;
15. Ахимас, во земјата Нефталимова; тој си ја беше земал за жена Васемата, Соломонова керка;
16. Вана, Хусев син, во земјата Асирова и во Алот;
17. Јосафат, Фаруев син, во земјата Исахарова;
18. Семеј, синот на Ила, во земјата Венијаминова;
19. Гевер, Уриев син, во земјата Галадска, во земјата на аморејскиот цар Сион, и на васанскиот цар Ог. Тој беше управник на таа земја.
20. Јудејците и Израил, бидејќи многубројни како песокта при морето, јадеа, пиеја и се веселеа.
21. Соломон владееше со сите царства од реката Ефрат до Филистејската земја и до границата на Египет. Тие принесуваа дарови и му служеа на Соломона во сите дни на животот негов.
22. Секојдневната храна на Соломона беше: тиесет кори пченично брашно и шеесет кори друго брашно,
23. десет згоени волови и дваесет волови одбрани и сто овци, освен елени и срни, и диви кози и птици;
24. зашто тој господареше над целата земја од оваа страна на реката, од Тапса до Газа, над сите цареви од оваа страна на реката, и имаше мир со сите околни земји.
25. И живееја Јудејците и Израил спокојно, секој под лозата своја и под смоквата своја, од Дан до Врисавија, преку сите Соломонови дни.
26. Соломон имаше четириесет иљади коњи за коли и дванаесет иљади за коњицата.
27. И управниците му доставуваа на цар Соломона се што требаше за царската трпеза, секој во својот месец, и не дозволуваа да има недостиг од ништо.
28. Исто така и јачмен, и слама за коњите и за маските доставуваше секој навремено во местото, каде што се нао аше царот.
29. А Бог му даде на Соломона мудрост, многу голем разум и широк ум како песокта на морскиот брег.
30. И Соломоновата мудрост беше поголема од мудроста на сите синови на Исток, од сета мудрост на Египтјаните.
31. Тој беше помудар од сите лу е, помудар и од Гетана Језраилецот и од Емана, и од Халкада и Дарда, Самадовиот син, и името негово се славеше по сите околни народи.
32. Тој изрече три иљади мудри изреки, а песните негови беа иљада и пет;
33. тој изговори и за дрвјата, од кедар, што е во Ливан, до исоп, што никнува по карпите; тој

говореше и за животните, за птиците, за влекачите и за рибите.
34. И од сите народи доа аа да ја чујат Соломоновата мудрост, и сите земни цареви, што беа слушале за неговата мудрост.

Глава 5

1. Хирам, тирски цар, ги испрати слугите свои при Соломона, откако чу, дека го помазале за цар место татка му, зашто Хирам беше Давидов пријател во текот на целиот негов живот.
2. А и Соломон испрати да му кажат на Хирама:
3. 'Ти знаеш, дека татко ми Давид на можеше да изгради дом на името Господово, својот Бог, поради војните со околните народи, додека Гсопод не го покори под нозете негови;
4. но сега Господ, мојот Бог, ми даде спокојство од сите страни: нема противник и нема веке стапици.
5. И, ете, јас имам намера да изградам дом на името Господово, мојот Бог, како што му беше рекол Господ на татка ми Давида, велејки: 'Твојот син, кого што ке го поставам на твојот престол место тебе, ке изгради дом на Моето име.'
6. Затоа, заповедај да ми насечат кедрово дрво од Ливан; и ете, моите слуги ке бидат заедно со твоите слуги, како ти што ке определиш, зашто знаеш, дека кај нас нема лу е, кои умеат да сечат дрва така, како Сидонците.'
7. Кога Хирам ги чу зборовите од Соломона, многу се зарадува и рече: 'Благословен нека е денес Господ, Кој му даде на Давида мудар син, за да управува со тој многуброен народ!'
8. И Хирам испрати при Соломона да кажат: 'Го ислушав тоа, за кое беше си испратил до мене; ке ја исполнам твојата желба за кедровото дрво и кипарисовото:
9. слугите мои ке ги довлечкаат од Ливан до морето, и на сплавови ке ги дотераат по море до местото, што ке ми го определиш; таму ке ги растоварам, и ти ке ги земеш; но и ти исполни ја желбата моја, да доставуваш храна за мојот дом.'
10. И Хирам му даваше на Соломона кедрово дрво и кипарисово дрво, според желбата негова.
11. А Соломон му даваше на Хирама дваесет иљади кои пченица за исхрана на неговиот дом и дваесет кори цедено маслиново масло, - толку Соломон му даваше на Хирама секоја година.
12. Господ му даде на Соломона мудрост, како што му беше ветил. И ме у Хирама и Соломона имаше мир, а склучија и сојуз ме у себе.
13. Цар Соломон наложи обврска врз сиот Израил; а обврската се состоеше од триесет иљади лу е.
14. Тој ги испракаше во Ливан, по десет иљади на месец, на смени; еден месец престојуваа во Ливан, а два месеци - по домовите свои. Адонирам, пак, беше нивни управник.
15. Соломон имаше уште седумдесет иљади пренесувачи на товари, и осумдесет иљади каменоделци во планините,
16. надвор од трите иљади и триста настојници, што Соломон ги беше поставил над работата, да го надгледуваат народот, што ги извршуваше работите.
17. И царот заповеда да донесуваат големи камења за основата на домот, камења делкани.
18. Ги делкаа, пак, Соломонови работници и Хирамови работници и Гевалци, и подготвуваа дрвја и камења за градење на домот три години.

Глава 6

1. Во четиристотини и осумдесеттата година по излгувањето на Израилевите синови од Египетската земја, во четвртата година на Соломоновото царување над Израилот, во месец Зиф, кој е втор месец, Соломон почна да Му гради храм на Господа.
2. А храмот, што цар Соломон Му го изгради на Господа, беше долг шеесет лакти, широк - дваесет и висок - триесет лакти;
3. тремот пред храмот беше долг дваесет лакти, според ширината на храмот, и широк - десет лакти пред храмот
4. Во храмот тој направи прозорци, затворени со решетки.
5. И направи доградба околу ѕидовите на храмот, околу храмот и Свјатаја Свјатих; а направи и странични соби наоколу.
6. Долниот кат на зградата беше широк пет лакти, средниот широк - шест лакти, а третиот - широк седум лакти; зашто околу храмот надвор беа направени растојанија за доградба да не допираат до ѕидовите на храмот.
7. Кога се градеше храмот, за градење се употребуваа делкани камења, така што за време на градењето на храмот не се слушаша, ни чекан, ни тесла, ниту некакво друго железно орудие.
8. Вратата на средниот кат беше десно од храмот. По тркалезни скали се искачуваа на вториот кат а од вториот - на третиот.
9. Така го изгради тој храмот, го изгради и го обложи со кедрови штици.
10. и догради до целиот храм странични соби, високи пет лакти; тие беа прикрепени кон храмот со кедрови греди.
11. И би слово Господово кон Соломона, и му беше речено:
12. 'Ете, ти градиш храм: ако одиш по Моите закони, ако постапуваш по Моите наредби и ако ги пазиш сите Мои заповеди, управувајки се според нив, Јас ке го исполнам врз тебе словото Свое, што му го бев кажал на татка ти Давида;
13. И ке живеам среде Израилевите синови и нема да го оставам Мојот народ Израилот.'
14. И така, Соломон го изгради храмот и го заврши.
15. Ги обложи ѕидовите на храмот однатре со кедрови штици; од подот до потонот ти обложи однатре со дрво, а подот на храмот го покри со кипарисови штици.
16. а во задната страна на храмот на дваесет лакти од крајот, издигна ѕид и ги обложи ѕидовите и подот со кедрови штици, и направи простор за Свјатаја-Свајтих.
17. А храмот, само предниот дел на храмот, имаше четириесет лакти.
18. По кедарот однатре имаше резби, слични на краставички и распукнати цветови; се беше покриено со кедар, камен не се гледаше.
19. А внатре во храмот тој подготви оддел за да го постави таму ковчегот нз заветот Господов.
20. Одделот беше долг дваесет лакти, широк дваесет лакти, и висок дваесет лакти; тој го опкова со чисто злато; исто така го опкова и кедровиот жртвеник.
21. Одвнатре, Соломон го опкова храмот со чисто злато, и протегна златни вериги пред Свајтаја Свјатих, и ја опкова со злато.
22. Целиот храм тој го обложи со злато, целиот храм докрај, и целиот жртвеник, што е пред Свјатаја-Свјатих, го опкова со злато.
23. А во Свјатаја-Свјатих направи два херувима од маслиново дрво, високи по десет лакти
24. Едното крило на херувимот беше долго пет лакти и другото крило на херувимот - пет лакти; десет лакти имаше од едниот крај на крилјата негови до другиот крај на крилјата негови.
25. Десет лакти имаше и другиот херувим; еднаква мерка и еднаков облик имаа двата херувима.
26. Височината на едиот херувим беше десет лакти, исто така и на другиот херувим.
27. Тој ги постави херувимите среде внатрешниот дел на храмот. А крилјата на херувимите беа раширени, и крилото на едниот се допираше до едниот ѕид, а крилото на другиот херувим

допираше до другиот ѕид; другите нивни крилја пак се срекаваа крило со крило среде храмот.
28. Тој ги обложи херувимите со злато.
29. И по сите ѕидови на храмот наоколу издлаби ликови на херувими, палми и расцутени цветови, однатре и однадвор.
30. И подот на храмот го опкова со злато во внатрешниот и предниот дел.
31. За влез во Свјатаја Свјатих тој направи врата од маслиново дрво со петоаглони спојки.
32. На двете половини на вратата од маслиновото дрво тој издлаби херувими, палми и расцутени цвекиња и ги обложи со злато; го покри со злато и херувимите и палмите.
33. И при влезот на храмот тој направи четириаголни столбови од маслиново дрво
34. и две врати од кипарисово дрво; двете половикни на едната врата беа подвижни, и двете половикни на другата врата исто така беа подвижни.
35. Издлаби по нив херувими, палми и расцутени цвекиња и ја обложи резбата со злато.
36. И внатрешниот трем го направи од три реда делкани камења и од еден ред кедрови греди.
37. На четвртата година, во месецот Зиф, вториот месец, тој ги беше положил основите на храмот Господов,
38. а на единаесеттата година, во месецот Вул, тоа е осмиот месец, - тој го заврши храмот со сите негови принадлежности и според сите негови преднацрти. Соломон го градеше храмот седум години.

Глава 7

1. Потоа Соломон изгради свој дом, а го градеше тринаесет години, и наполно го заврши.
2. Тој го изгради домот свој од ливанско дрво: долг сто лакти, широк педесет лакти, а висок триесет лакти, на четири реда кедрови столбови; и кедрови греди беа положени врз столбовите.
3. Подот беше послан со кедар врз греди на четириесет и пет столба, по петнаесет во ред.
4. Прозорски столбови имаше три реда; имаше и три реда прозорци, прозорец спроти прозорец.
5. Сите врати и соби беа четириаголни, прозорец спроти прозорец во три реда.
6. Тој направи и трем од столбови, педесет лакти долг, триесет лакти широк, и пред нив - трем, столбови, и праг пред нив.
7. Уште направи и трем со престол, од кој тој судеше, трем за судилиште, и сите подови ги покри со кедар.
8. Во домот, каде што живееше, имаше друг двор зад тремот, исто така изграден. И во домот на фараоновата керка, која Соломон ја беше зел, направи исто така трем.
9. Сето тоа беше направено од скапи камења - делкани според размер, изрежани со трион однатре и однадвор, - од основата до покривот, и однадвор до големиот двор.
10. Во основата беа положени скапи камења, камења големи, камења од десет лакти;
11. и одозгора скапи камења, делкани според размер, и кедар.
12. Големиот двор беше ограден наоколу со три реда делкани камења и со еден ред кедрови греди; исто така и внатрешниот двор на храмот Господов и храмовиот трем.
13. Цар Соломон испрати да го доведат од Тир Хирама,
14. син на една вдовица од Нефталимовото племе. Татко му тирјанин, беше бронзоливец; тој беше способен и искусен, а умееше да прави секакви предмети од бранза. И тој дојде при цар Соломона и му правеше секакви работи:
15. тој изли два бронзени столба, секој висок по осумнаесет лакти, и врвот од дванаесет лакти го опфакаше пречникот на едниот и на другиот столб;
16. тој направи и две главички, излеани од бронза, за да ги стави врз столбовите; пет лакти висока едната главичка и пет лакти висока втората главичка;
17. направи мрежи плетени и врвови како вериги за главичките, што беа врз столбовите: седум за едната главичка и седум за другата главичка.
18. Така ги направи тој столбовите и два реда нарови околу мрежата, за да ги покрие главичките, што се при столбовите, истото го направи и за другата главичка.
19. А во тремот главичките при столбовите беа направени слично на крин, четири лакти;
20. и главичките врз двата столба одозгора беа такму над издадената работа, што беше до мрежата; и врз другата главичка во редови наоколу двесте нарови.
21. И ги постави столбовите на храмовиот трем; постави столб оддесно и му даде има Јахин; постави столб и одлево и го нарече Воас.
22. А над столбовите положи главички, направени слично на крин. Така заврши работата над столбовите.
23. Направи и излеано од бронза море - од едниот негов крај до другиот имаше десет лакти, - и сосема кружно, пет лакти високо; и венец од триесет лакти го опфакаше наоколу.
24. Под краиштата негови имаше од сите страни издадени работи како јаболка по десет на лакот; тие го опкружуваа морето од сите страни во два реда; издадените работи како јаболка беа излеани заедно со него.
25. Тоа стоеше на дванаесет вола: три гледаа кон север, три гледаа кон запад, три гледаа кон југ и три гледаа кон исток; морето стоеше врз нив, а задната страна му беше свртена навнатре под него.
26. Тоа беше дебело една дланка, а краиштата негови, направени како краишта на чаша, прилегаа на процутен крин. Тоа собираше две иљади мери.

27. Тој направи и десет борнзени подножја; секое подножје беше долго четири лакти, широко - четири лакти, високо - три лакти.
28. Еве ја направата на подножјата: тие имаа страни, страни ме у аголните продолжетоци.
29. Врз страните, што беа ме у аголните продолжетоци, имаше обликувани лавови, волови и херувими; исто така и врз аголни продолжетоци; а над лавовите и воловите и под нив имаше висечки венци;
30. секое подножје имаше по четири бронзени тркала и бронзени оски. На четирите агли имаше испупчувања како раменици, излеани испупчувања, оддолу под мијалникот, до секој венец.
31. Отворот од внатрешниот венец до горе имаше еден лакот; отворот му беше кружен како подножјето на столбовите; лакот и половина, и при отворот негов - резби; но старните беа четириаголни - не кружни.
32. Под страните имаше четири тркала и оски на тркалата во подножјата; секое тркало беше високо лакот и половина.
33. Направата на тркалата беше исто таква, како тркалата на колите; оските нивни, оплатите нивни, спиците нивни и главичките нивни - се беше излеано.
34. Имаше четири испакнатини на четирите агли на секое подножје; од подножјата излегуваа испакнатините негови.
35. И врз подножјата имаше испакнатини, половина лакот високи, а над подножјата дршките нивни и ѕидовите им беа од иста материја.
36. Тој изваја и врз штичките на дршката нејзина и на ѕидовите нејзини херувими, лавови и палми, колку што дозволуваше местото, и наоколу - висечки венци.
37. Така направи тој десет подножја; сите еднакво излеани, еднаква мерка, еднаков изглед.
38. Направи и десет бронзени мијалници; секој мијалник собираше по четириесет мери; секој мијалник имаше четири лакти; секој мијалник стоеше на едно од десетте подножја.
39. Тој ги распореди подножјата - пет десно од храмот и пет лево од храмот, а морето го постави десно од храмот, на источната страна кон југ.
40. Хирам ги направи мијалниците, лопатките и машите. И ја сврши Хирам целата работа, што ја вршеше при цар Соломона за храмот Господов, односно:
41. два столба и два појаса на главичките, што се врз столбовите, и две мрежи за покривање на двата појаса на главичките, што се врз столбовите,
42. и четиристотини нарови на двете мрежи; два реда нарови на секоја мрежа за покривање на двата појаса над главичките, што се врз столбовите,
43. и десет подножја и десет мијалници на подножјата;
44. едно море и дванаесет вола под морето;
45. и котли, и лопатки, и чаши. Сите работи, што Хирам му ги направи на царот Соломона за храмот Господов, беа од измазнет бакар.
46. Царот ги излеа во глинена земја, во околината на Јордан, ме у Сохот и Сартан.
47. Соломон ги постави сите тие работи на местата нивни. Поради нивното извонредно множество тежината на бронзата не беше определена.
48. Соломон ги направи и сите предмети, што се во храмот Господов: златен жртвеник и златна трпеза, на која се ставаат лебовите на предложението:
49. светилници - пет оддесно и пет одлево, пред задното одделение на храмот, од чисто злато, цвекиња, кандилца и штипки од злато;
50. и чинии, и ножеви, и чаши, и подносиници и кадилници од чисто злато; резиња за вратите на внатрешноста од храм во Свјатаја Свјатих и за вратите во храмот, исто така од злато.
51. Така беше свршена сета работа, што ја изврши цар Соломон за храмот Господов. И го принесе Соломон посветеното од татко му Давида: среброто, златото и предметите ги предаде во ризницата на храмот Господов.

Глава 8

1. Тогаш Соломон ги повика кон себе во Ерусалим старешините Израилеви и сите кнезови на племињата, родоначалниците на синовите Израилеви, за да го пренесат Ковчегот на заветот Господов од Давидовиот град, од Сион - во храмот.
2. Е се собраа на празникот при царот Соломон сите Израилци во месецот Атаним, кој е седмиот месец.
3. Дојдоа сите старешини Израилеви; и свештениците го кренаа ковчегот
4. и го понесоа Ковчегот Господов и скинијата на сведоштвото и сите свештени предмети, што беа во скинијата; а ги носеа свештениците и Левитите.
5. А цар Соломон и со него целиот израилски собор, што се беше собрал при него, одеа пред Ковчегот, принесувајки жртви од ситен и крупен добиток, кој не беше можно да се изброи и пресмета и поради мноштвото негово.
6. Свештениците го внесоа Ковчегот на заветот Господов на местото негово, во внатрешноста на храмот, во Свјатаја Свјатих, под крилјата на херувимите.
7. Зашто херувимите ги ширеа крилјата над местото на Ковчегот, и херувимите го покриваа одзгора Ковчегот и лостовите негови.
8. Лостовите се подаваа така, што главичките нивни се гледаа во светилиштето, но не излегуваа надвор; тие се таму и до денес.
9. Во ковчегот намаше ништо, освен двете камени плочи, кои Мојсеј ги беше положил внатре во Хорив, кога Господ склучи завет со синовите Израилеви, откако беа излезени од Египетската земја.
10. Кога свештениците излегоа од светилиштето, облак го исполни домот Господов.
11. И свештениците не можеа да стојат на службата поради облакот, бидејки светлината Господова го исполни храмот Господов.
12. Тогаш Соломон рече Господ благоволи да живее во магла:
13. 'Ти изградив храм Тебе за живеалиште, место, каде што ке престојуваш засекогаш.'
14. И царот се сврти со лицето свое, и го благослови целото собрание на Израилците, а целото собрание на Израилците стоеше. -
15. Тогаш рече: 'Нека е благословен Господ, Бог Израилев, Кој со устата Своја му рече на татка ми Давида, и реченото денес го исполни со раката Своја! Он беше рекол:
16. ‘Од оној ден, кога ги изведов Мојот народ Израилот од Египет, Јас не одбрав град ме у племињата Израилеви, за да се изгради дом, каде што ке остане засекогаш името Мое; го избрав Давида, тој да биде над Мојот народ Израилот.‘
17. Тако ми Давид намисли да изгради храм во името на Господа, Бога Израилев;
18. но Господ му рече на татка ми Давида: ‘ти си намислил да изградиш храм на името Мое; добро е дека ти е тоа на срцето;
19. ме утоа, ти нема да изградиш храм, туку твојот син, кој излегол од бедрата твои, - тој ке изгради храм на името Мое.
20. И Господ го исполни словото Свое, што беше го изрекол; јас се издигнав на местото на таткото мој Давида, и седнав на престолот Израилев, како што рече Господ, и изградив храм во чест на името Господово, Бога Израилев;
21. и подготвив таму место за ковчегот, во кој е заветот на Господа, што го беше склучил со нашите татковци, кога ги изведе од Египетската земја.'
22. Тогаш застана Соломон пред жртвеникот Господов, пред целото собрание на Израилците, ги крена рацете кон небото
23. и рече: 'Господи, Боже Израилев! Нема Бог како Тебе ниту на небото горе, ниту на земјата долу; ти го пазиш заветот и милоста кон слугите Свои, кои одат пред Тебе од се срце.
24. Ти го исполни на Својот слуга Давида, мојот татко, она, што му го беше ветил; она што го беше изрекол со устата Своја, денес го изврши со раката Своја.
25. И сега, Господи, Боже Израилев, исполни го на Својот слуга Давид, мојот татко, она што му

го беше говорел, велејки: ‘Пред лицето мое нема да престане да излегува од тебе маж, кој седи на Израилевиот престол; доволно е само синовите твои да се држат за патот свој, одејки пред Мене така, како што ти одеше пред Мене.‘
26. И сега, Боже Израилев, нека биде верно словото Твое, што си му го рекол на Својот слуга Давида, мојот татко!
27. Но зар Бог ке сака да живее на земјата! Небото и небото на небесата не Те собираат, а уште помалку овој храм, што сум го изградил јас на Твоето име;
28. но погледни милостиво кон молитвата на Твојот слуга и кон молбата негова, Господи, Боже мој! Чуј го повикот и молитвата со која Твојот слуга Те моли денес.
29. Да бидет очите Твои отворени кон тој храм дење и ноке, кон ова место, за кое си рекол: името Мое ке биде таму; чуј ја молитвата, со која ке се моли Твојот слуга на тоа место.
30. Чуј ја молбата на Твојот слуга и на Твојот народ Израилот, кога тие ке се молат на ова место; чуј од местото на Твоето живеалиште, од небесата, чуј и смилувај се.
31. Кога некој ке згреши против ближниот свој, и ке побара од него клетва, за да се заколне, и заради клетвата ке дојдат пред Твојот жртвеник во овој храм,
32. тогаш чуј од небото и изврши суд над Своите слуги, обвини го виновниот, стоварувајки му ја врз главата негова постапката негова, и оправдај го правиот, давајки му според правдата негова.
33. Кога Твојот народ Израилот ке биде поразен од непријателите, поради тоа што згрешил пред Тебе, и кога тие ке се обрнат кон Тебе и ке го исповедаат името Твое и Те бараат и Те молат во овој храм, -
34. чуј тогаш од небото и прости му го гревот на Твојот народ Израилот, и врати ги во земјата, што си им ја дал на татковците нивни.
35. Кога ке се заклучи небото и ке нема дожд, поради тоа што ке згрешат пред Тебе, ке го исповедаат името Твое и се свртат од гревот свој, бидејки се ги смирил, -
36. чуј тогаш од небото и прости им го гревот на Своите слуги и на Својот народ Израилски, покажувајки им го добриот пат, по кој да одат, и испрати дожд врз Твојата земја, што си му ја дал на народот Свој во наследство.
37. Глад ли ке настане по земјата, или помор, огнен ветар ли, гламја, скакулци, или гасеници, непријателот ли ке го притисне во земјата негова, некаква невоља ли ке се појави, или болест, -
38. при секоја молитва, при секоја молба што доа а од кој и да било човек од сиот Твој народ Израилски, кога ке почувствуваат болка во срцето свое и ке ги подадат рацете кон овој храм,
39. чуј од небото, од местото на Твоето живеалиште, и смилувај се; направи и воздај секому според патиштата негови, како што го гледаш срцето негово, бидејки само Ти ги познаваш срцата на сите човечки синови:
40. за да се плашат од Тебе во сите дни, додека живеат на земјата, што си им ја дал на татковците нивни.
41. Ако и некој другородец, кој не е од Твојот народ Израилот, дојде од далечна земја заради Твоето име, -
42. зашто ке чујат за Твоето големо име, за Твојата силна рака и за Твојата крената мишка, - дојде и се помоли во овој храм,
43. чуј од небото, од местото на Своето живеалиште, и направи се, за што другородецот Те повика, та сите земни народи да го знаат Твоето име, за да се бојат од Тебе, како Твојот народ Израилот, да знаат дека овој храм, што го изградив јас, е наречен на Твое име.
44. Кога Твојот народ излезе од војна против својот напријател по патот, по кој ке го испратиш, и му се помоли на Господа, обрнувајки се кон градот, што Ти си го избрал, и кон храмот, што го изградив на Твоето име,
45. тогаш чуј ја од небото молитвата нивна и молбата нивна и направи го она, што им е потребно ним.
46. Кога ке згрешат пред Тебе, - зашто нема човек што да не греши, - и Ти ке им се разгневиш

и ке ги предадеш на непријателите, и оние, што ги плениле, ги одведат во непријателска земја, далечна или блиска;
47. и кога во земјата, каде што ке бидат во пленство, дојдат на себеси и се обрнат кон Тебе и Ти се помолат во земјата на оние, што ги плениле, велејки: 'Згрешивме, извршивме беззаконие, виновни сме;
48. и кога ке се обрнат кон Тебе од сето срце свое и од сета душа своја во земјата на непријателите, што ги плениле, и ти се помолат, обрнувајки се кон својата земја, што си им ја дал на татковците нивни, кон градот, што си го избрал, и кон храмот, што го изградиле на Твое име, -
49. тогаш чуј ја од небото, од местото на Твоето живеалиште, молитвата и молбата нивна, и направи што им е ним потребно;
50. и прости му на Твојот народ, за она што згрешил пред Тебе, и сите негови престапи, што ги извршил пред Тебе, и предизвикај сострадание кон нив кај оние, што ги плениле, та да бидат милостиви кон нив;
51. зашто тие се Твој народ, и Твој дел, што Ти го изведе од Египет, од железната печка.
52. Ушите Твои и очите Твои нека бидат отворени за молата на Твојот слуга и за молитвата на Твојот народ Израилски, за да ги чуваш секогаш, кога Те повикуваат,
53. зашто Ти си ги одделил за Свој дел ме у сите земни народи, како што си рекол преку Мојсеја, Твојот слуга, кога ги изведе татковците наши од Египет, Владико Господи!'
54. Откако Соломон ја заврши кон Господа целата оваа молитва и молба, па како што беше коленичел, стана од пред жртвеникот Господов, со рацете подигнати кон небото.
55. И, исправен, го благослови целото собрание на Израилците, велејки со висок глас:
56. 'Нека е благословен Бог, Кој му даде спокојство на Својот народ Израилот, како што беше говорел! Не остана неисполнет ниеден збор од сите Негови добри зборови, што ги беше изрекол преку својот слуга Мојсеја;
57. нека биде со нас Господ, Бог наш, како што беше со татковците наши; да не не остава, и да не не напушта,
58. приклонувајки ги срцата наши кон Себеси, за да одиме по сите патишта Негови и да ги чуваме заповедите Негови и законите Негови, што им ги заповеда на татковците наши.
59. И овие зборови, со кои се молев пред Господа денес, нека бидат блиски до Господа, нашиот Бог, дење и ноке, за да го врши Он она што е нужно за Неговиот слуга и за Неговиот народ Израилот секој ден,
60. та да го познаат сите народи, дека Господа е Бог, и дека нема друг освен Него.
61. Срцето ваше нека биде наполно предадено на Господа, нашиот Бог, за да одите по наредбите Негови и да ги пазите заповедите Негови, како денес.'
62. Тогаш царот и сите Израилци со него Му принесоа жртви на Господа.
63. Соломон закла за мирна жртва, што му ја принесе на Господа, дваесет и две иљади крупен добиток и сто дваесет иљади ситен добиток. Така царот и сите синови Израилеви му Го осветлија храмот на Господа.
64. Во истиот ден царот го освети средниот дел на дворот, кој е пред храмот Господов, принесувајки сепаленици и лебен принос и вознесувајки ја лојта од мирните жртви, бидејки борнзениот жртвеник, што е пред Господа, беше мал да ги собере сепалениците, лебниот принос и лојта од мирните жртви.
65. Така Соломон направи празник и сиот Израил со него - собор голем, кој се беше собрал од влезот во Емат до Египетската река, пред Господа, нашиот Бог; празнуваа и јадеа, и пиеја и се молеа пред Господа, нашиот Бог, во изградениот храм седум дена и уште седум дена, односно четиринаесет дена.
66. Во осмиот ден Соломон го распушти народот. Сите го благословија царот и си отидоа по шаторите свои, радувајки се и веселејки се во срцето свое за сето добро, што Господ му го направи на Својот слуга Давида и на Својот народ Израилот.

Глава 9

1. Откако Соломон заврши градбата на Господовиот храм, на царскиот дом и се, што беше
посакал да направи,
2. Господ повторно му се јави на Соломона, како што му се беше јавил во Гаваон.
3. И Господ му рече: 'Јас ја чув твојата молитва и твојата молба, за која Ме молеше и направив
се според твојата молитва, го осветив тој храм, што го изгради ти, за да биде засеговаш името
Мое таму довека, и очите Мои, и срцето Мое ке бидат таму во сите дни.
4. А ти, ако одиш пред Моето лице, како што одеше татко ти Давид, со чисто срце и со
правина, исполнувајки се, што сум ти заповедал, и ако ги пазиш Моите уредби и Моите закони,
5. Јас ке го поставам твојот царски трон над Израилот засекогаш, како што му реков на татка
ти Давида, велејки: ‘Нема да престане да излегува од тебе маж, кој седи на престолот
Израилев.‘
6. Ако вие и синовите ваши отстапите од Мене и не ги пазите Моите заповеди и Моите уредби,
што сум ви ги дал, и ако тргнете и почнете да служите на други богови и да им се
поклонувате,
7. Јас ке го истребам Израилот од лицето на замјата, што сум му ја дал, и храмот, што сум го
посветил на Мое име, ке го отфрлам од лицето Свое, и Израилот ке стане за приказ и за
подбивање кај сите народи.
8. И за тој висок храм, секој, што ке мине покрај него, ке се вжаси, ке потсвирне и ке рече:
‘зошто ли постапил Господ така со оваа земја и со овој храм?‘
9. И ке речат: ‘затоа, што тие го оставија Господа, својот Бог, Кој ги изведе татковците нивни
од Египетската земја, и се приврзаа кон други богови, им се поклонуваа и им служеа, - затоа
Господ им го испрати ова зло!‘'
10. Откако изминаа дваесет години, во текот на кои Соломон изгради два дома, - домот
Господов и царскиот дом, -
11. за кои тирскиот цар Хриам му набавуваше на Соломона кедрово дрво и кипарисово дрво и
злато според желбата негова, - цар Соломон му даде на Хирама дваесет градови во
Галилејската земја.
12. И Хирам излезе од Тир да ги прегледа градовите, што му ги даде Соломон, и тие не му се
допаднаа.
13. Затоа тој рече: 'Какви се тие градови, што ти, брате мој, ми ги даде?' И ги нарече замја
Кавул, како што се нарекуваат и денес.
14. А Хирам му беше испратил на царот сто и дваесет таланти злато.
15. Оттука и распределбата за данокот, што го наложи Соломон, за да го изгради храмот
Господов и својот дом, Мелон и ѕидовите ерусалимски, Асор и Мегидон и Газер.
16. Фараонот, египетскиот цар, беше дошол и го презел Газер, и со оган го беше изгорел, а
Хананејците, што живееја во градот, ги беше испотепал, и го беше дал како мираз на керка си,
Соломоновата жена.
17. И тогаш Соломон го изгради Газер и Долни Веторон,
18. Валат, Тамор во пустињата,
19. и сите градови житници, што ги имаше Соломон, и градовите за колите, градовите за
коњицата и се она, што Соломон сакаше да изгради во Ерусалим, на Ливан и по целата земја
на своето владение.
20. Сите лу е, останати од Аморејците, Хетејците, Ферезејците, Хананејците, Евејците,
Јевусејците и Герпесејците, кои не беа од Израилевите синови,
21. децата нивни, останати по нив во земјата, кои Израилевите синови не можеа да ги
истребат, - Соломон ги направи поданички работници, какви што се и денес.
22. А синовите Израилеви Соломон ги правеше работници; тие беа негови војници, служители,
великодостојници, полководци и заповедници на неговите коли и на неговите коњаници.
23. Главините, пак, распоредници над Соломоновите работи, односно управниците на народот,

што ја извршуваа работата, беа петстотини и педесет.
24. Фараоновата керка премина од Давидовиот град во својот дом, што го изгради Соломон за неа. Потоа тој го изгради Мелон.
25. Соломон принесуваше трипати годишно сепаленици и мирни жртви на жртвеникот, што Му го беше изградил на Господа, и кадеше врз него пред Господа. Така заврши градбата на домот.
26. Цар Соломон направи исто така и кораби во Гасион-Гавер, кој е при Елат, на брегот на Црвеното Море, во Идумејската земја.
27. И Хирам испрати на тие кораби свои поданици - корабари, што го знаат морето, заедно со Соломоновите поданици;
28. тие отидоа во Офир и зедоа оттаму злато четиристотини и дваесет таланти и му го донесоа на цар Соломона.

Глава 10

1. Савската царица, откако чу за славата Соломонова и за името на Господа, дојде да го испита со гатанки.
2. Таа дојде во Ерусалим со многу големо богатство: камилите беа натоварени со благопријатни мириси, со многу злато и скапоцени камења; таа дојде кај Соломона и говореше со него за се, што и беше на срцето.
3. Соломон и ги објасни сите нејзини зборови, и немаше ништо непознато за царот, што не и го објасни.
4. Савската царица ја виде сета мудрост на Соломона, и домот, што тој го беше изградил,
5. и јадењата на трпезата негова, и живеалиштата на слугите негови, и држењето на слугите негови, облеката нивна и пехарниците негови, и сепалениците негови, што ги принесуваше во храмот Господов. И повеке не можеше да се воздржи,
6. па му рече на царот: 'Вистина е она, што го бев слушала во земјата своја за твоите дела и за твојата мудрост;
7. но не верував на зборови, додека не дојдов, и не видоа очите мои: и, ете, мене ни половината не ми беше речено; мудрост и богатство ти имаш повеке отколку што сум слушала.
8. Блажени се твоите лу е, блажени се и тие твои слуги, што стојат пред тебе секогаш и ја слушаат мудроста твоја!
9. Благословен да е Господ, твојот Бог, Кој благоволи да те постави на Израилевиот престол! Господ, поради вечната љубов Своја кон Израилот, те постави за цар, за да вршиш суд и правда.'
10. И таа му подари на царот сто и дваесет таланти злато и големо множество благопријатни мириси и скапоцени камења; никогаш уште не беа донесувани толку многу благопријатни мириси, колку што Савската царица му подари на цар Соломона.
11. И Хирамовите кораби, што донесуваа злато од Офир, донесоа од Офир големо множество црвено дрво и скапоцени камења.
12. И царот направи од тоа црвено дрво потпирки за храмот Господов и за царскиот дом, и гусли и псалтири за пеачите. Никогаш не беше донесувано толку црвено дрво и не беше видено до тој ден.
13. Тогаш царот Соломон и даде на Савската царица се, што таа пожела и што посака, посебно од она, што цар Соломон и го подари со рацете свои. И се врати таа во земјата своја, таа и сите слуги нејзини.
14. Златото, што му доа аше на Соломона секоја година, тежеше шестотини шеесет и шест таланти,
15. освен она, што се добиваше од разнесувачите на стока и од тргувањето на трговците и од сите арапски цареви и од обласните управници.
16. Цар Соломон направи двесте големи штита од ковано злато, - по шестотини сикли злато се потрошени за секој штит;
17. и триста помали штита од ковано злато, - од по три мини злато за секој штит; и царот ги постави во домот од ливанско дрво.
18. Царот направи и голем престол од слонова коска и го обложи со чисто злато;
19. пред престолот имаше шест степеника; одзади врвот на престолот беше кружен, и од двете страни на седиштето имаше потпирки, а до потпирките стоеја два лава;
20. и уште дванаесет лава стоеја таму од двете страни на шесте степеника. Слично нешто немало во ни едно царство.
21. Сите садови за пиење кај цар Соломона беа златни, и сите садови во домот од ливанско дрво беа од чисто злато; ништо немаше од сребро, зашто во дните на Соломона среброто не се сметаше за нешто;
22. бидејки царот имаше на морето тарсиски кораби заедно со Хирамовите кораби и во три години еднаш доа аа тарсиските кораби и донесуваа злато и сребро, слонова коска, мајмуни и

пауни.
23. Цар Соломон ги надминуваше сите земни цареви по богатството и мудроста.
24. И сите земни цареви сакаа да го видат Соломона, за да ја послушаат мудроста негова, кој Бог ја беше ставил во срцето негово.
25. И тие му принесуваа, секој од себеси, дар: сребрени садови, облека, оружје и благопријатни мириси, коњи и маски секоја година.
26. Соломон така насобра коњи и коњаници; тој имаше четириесет иљади коли и дванаесет иљади коњаници, кои ги размести по колските градови и при царот во Ерусалим. Тој владееше над сите мориња - од реката до Филистејската земја и до пределите на Египет.
27. Царот го направи среброто во Ерусалим рамноцено со обичните камења, а кедрите поради нивното множесто ги направи рамноцени со дивите смокви, што растеа по низините.
28. Коњи, пак, донесуваа за царот Соломона од Египет; царските трговци ги купуваа до Кува со пари.
29. Купена и донесена до Египет една кола чинеше шестотини сикли сребро, а коњ, - сто и педесет. На ист начин тие со свои раце им ги доставуваа сето тоа на хетејските и арамејските цареви.

Глава 11

1. Цар Соломон засака, освен фараоновата керка, и многу жени - ту инки - Моавки, Амонитки,
Идумејки, Сидонки и Хетејки, -
2. од оние народи, за кои Господ им беше рекол на Израилевите синови: не влегувајте при нив,
и тие да не влегуваат при вас, за да не го приклонат срцето ваше кон своите богови. Кон нив
се прилепи Соломон со љубовта своја.
3. Тај имеше седумстотини жени и триста наложници; и неговите жени го развратија срцето
негово.
4. Кога Соломон остаре, неговите жени го приклонија срцето негово кон други богови, и
срцето негово не беше наполно предадено на неговиот Господ Бог, како срцето на татка му
Давида.
5. И Соломон почна да и служи на Астрата сидонската богинка, и на Милхом, амонитски гад.
6. И Соломон го вршеше она, што беше неугодно пред очите на Господа, и не го следеше
наполно Господа како татко му Давид.
7. Тогаш Соломон изгради многубожечко светилиште на Хамос, моавски гад, на гората, што е
пред Ерусалим, и на Молох, амонитски гад.
8. Така направи тој за сите свои жени ту инки, кои кадеа и принесуваа жртви на своите богови.
9. И Господ се разгневи на Соломона поради тоа што го отстрани срцето свое од Господа, Бога
Израилев, Кој на двапати му се беше јавувал
10. и му беше заповедал да не оди по други богови; но тој не го исполни тоа, што му го беше
заповедал Бог.
11. Тогаш Господ му рече на Соломона: 'Затоа што тоа се врши кај тебе, и ти не го зачува Мојот
завет и Моите наредби, што ти ги бев заповедал, ке го одземам царството од тебе и ке го
дадам да твојот слуга;
12. но во твоите дни Јас нема да го направам ова поради татка ти Давида: од рацете на синот
твој ке го одземам;
13. но нема целото царство да го одземам: едно племе ке му дадам на синот твој заради Мојот
слуга Давида и заради Ерусалим, што сум го избрал.'
14. И Господ му воздигна на Соломона противник - идумеецот Адада, од идумејски царски род.
15. Кога Давид беше во Идумеја, и војводата Јоав дојде да ги погребе убиените, откако беше
испотепал се машко во Идумеја, -
16. бидејки Јоав и сите Израилци престојуваа таму шест месеци, додека не истребија се живо
во Идумеја, -
17. тогаш Адад избега во Египет и со него неколкумина Идумејци, што беа служеле при татка
му; Адад тогаш беше дете.
18. Кога тргнаа од Мадијам, тие дојдоа во Фаран и зедоа со себеси лу е од Фаран и стигнаа во
Египет при Фараонот - египетскиот цар; Адад влезе при Фараонот, и тој му даде дом, му
одреди плата и му даде земја.
19. Адад се здоби со голема милост кај Фараонот, така што го ожени со сестрата на жена си,
сестра на царицата Тахпенеса.
20. Тахпенесината сестра му роди син Генуват. Тахпенеса го воспитуваше во Фараоновиот дом;
и Генуват живееше во Фараоновиот дом заедно со Фараоновите синови.
21. Кога Адад чу, дека Давид починал при татковците свои и дека војводата Јова умрел, му
рече на Фараонот: 'Пушти ме да појдам во земјата своја?'
22. Фараонот му рече: 'Зар си незадоволен од мене, па сакаш да одиш во земјата своја.'
23. Господ крена против Соломона и друг противник - Резона, Елијадовиот син, кој беше
избегал од својот господар Адраазар, сувскиот цар,
24. и, откако собра околу себеси лу е, стана старешина на чета, откако Давид го беше победил
Адраазара; и тие отидоа во Дамаск, се настанија таму и господареа во Дамаск.
25. Тој беше противник на Израилот во текот на сите дни на Соломона. Освен злото, извршено

од Адада, тој секогаш му правеше пакост на Израилот и стана сириски цар.
26. И Наватовиот син Јеровоам, Ефермецот од Сарида, - името на мајка му, вдовица, беше Серуа, - Соломонов слуга, крена рака против царот.
27. Еве по кој повод тој крена рака против царот: Соломон го градеше Милон, ги поправаше урнатините во градот на татка си Давида.
28. Јеровоам беше силен човек. Соломон, откако забележа, дека тоа момче го бива за работа, го постави за надзорник над задолжените работици од Јосифовиот дом.
29. Во она време на Јеровоам му се случи да излезе од Ерусалим; по патот го сретна пророкот Ахија Силомец, облечен во нова облека. Тие беа само двајцата во полето.
30. И Ахија ја зеде новата облека, што беше на него, ја раскина на дванаесет делови,
31. и му рече на Јеровоама: 'Земи си десет делови, зашто така вели Господ, Бог Израилев: ‘Ете го истргнувам царството од раката на Соломона и десет племиња ти давам тебе,
32. и едно племе ке му остана нему заради Мојот слуга Давида и заради градот Ерусалим, што го избраа од сите Израилеви племиња!‘
33. Ова е поради тоа, што тие Ме оставија и почнаа да и се клањаат на Астарта, сидонската богинка, и на Хамоса, моавскиот бог, и на Мелхома, амонитскиот бог, и не одеа по Моите патишта, за да го вршат она, што е угодно пред Моите очи, и да ги пазат Моите наредби и Моите заповеди, како татко му Давид.
34. Јас не го одземам целото царство од раката негова, туку го оставам да владее до крајот на својот живот заради Мојот слуга Давида, кого го избрав и кој ги пазеше Моите заповеди и Моите наредби;
35. но ке го одземам царството од раката на синот негов и десет племиња од него ке ти ги дадам тебе;
36. а на синот негов ке му дадам едно племе, за да остане светилото на Мојот слуга Давида во сите дни пред лицето Мое во градот Ерусалим, што го избрав, за да останае засекогаш таму името Мое.
37. Тебе те избирам, и ти ке владееш со се, што ке посака душата твоја, и ти ке бидеш цар над Израилот;
38. и ако пазаиш на се, што ке ти заповедам, ако одиш по патиштата Мои и ако го вршиш она, што е угодно пред очите Мои, пазејки ги Моите наредби и Моите заповеди, како што правеше Мојот слуга Давид, Јас ке бидам со тебе и ке ти водзигнам крепок дом, како што му создадов на Давида, и ке ти го дадам Израилот;
39. ке го понизам Давидовиот род за тоа, но не за секогаш.'
40. А Соломон сакаше да го убие Јеровоама, но Јеровоам стана, та избега во Египет при Сусакима, египетски цар, и живееше во Египет до смртта Соломонова.
41. Другите дела на Соломона и се што вршеше тој, и мудроста негова, се опишани во книгата на делата Соломонови.
42. Времето, во кое Соломон царуваше во Ерусалим над целиот Израил, беше четириесет години.
43. И Соломон почина при татковците свои и беше погребан во градот на татка си Давида; а место него се зацари синот негов Ровоам.

Глава 12

1. Ровоам отиде во Сихем, бидејќи во Сихенм беа дошел сите Израилци, за да го зацарат.
2. Чу за тоа Нaватовиот син Јеровоам, кога се нао аше уште во Египет, каде што беше избегал од царот Соломона, и се врати од Египет;
3. испратија по него и го повикаа. Тогаш Јеровоам и целото израилско собрание дојдоа и му говореа на царот Ровоам, велејќи:
4. 'Твојот татко ни наложи тежок товар, ти, пак, олесни ни го жестокото ропство од татка ти и тешкиот товар, што тој ни го наложи, па тогаш ќе ти служиме.'
5. Тој им одговори: 'Одете си, по три дена дојдете пак при мене.' И народот се разотиде.
6. Царот Ровоам се советуваше со старците, кои беа при татка му Соломона, додека беше жив, и рече: 'Како ќе ме посоветувате да му одговорам на овој народ?'
7. Тие му одговорија, и рекоа: 'Ако ти денес им бидеш слуга на овие лу е и им услужиш, ако ги задоволиш и им говориш добри зборови, тие ќе ти бидат слуги во сите дни.'
8. Но тој не го послуша советот, што му го беа дале старците, и се советуваше со младите, кои беа пораснале заедно со него и кои беа при него,
9. и им рече: 'Што ќе ме посоветувате да им одговорам на оние лу е, што ми рекоа и кажаа: ‘олесни ни го игото, што ни го наложи татко ти?‘'
10. Младите, пораснати заедно со него, му одговорија и рекоа: 'Вака кажи им на тие лу е, што ти рекле: ‘твојот татко ни наложи тешко иго, ти, пак, олесни ни‘ кажи им: малиот прст ми е подебел од бедрата на татка ми;
11. и така, ако татко ми ви наложувал тешко иго, јас ќе го зголемам вашето иго; татко ми ве казнуваше со камшици, јас, пак, ќе ве казнувам со скорпии.'
12. Јеровоам, и сите лу е, дојдоа при Ровоама на третиот ден, како што им беше заповедал царот, велејќи: ‘дојдете при мене на третиот ден.‘
13. И царот грубо му одговори на народот и не го послуша советот, што му го беа дале старците.
14. И говореше според советот на младите и рече: 'Татко ми ви наложил тежок товар, јас, пак, ќе го зголемам вашиот товар; татко ми ве казнуваше со камшици, јас, пак, ќе ве казнувам со скорпии.'
15. И царот не го послуша народот, зашто така беше судено од Господа, за да се исполни зборот Негов, што го беше изрекол Господ преку Ахија Силомецот на Наватовиот син Јеровоама.
16. И сите Израилци видоа, дека царот не ги послуша. Тогаш лу ето му одговорија на царот и рекоа: 'Каков дел имаме кај Давида? За нас нема дел кај синот Јесеев; по шаторите свои, Израиле! Гледај си го својот дом, Давиде!' И Израил се разотиде по шаторите свои.
17. Ровоам царуваше само над Израилевите синови, што живееја во Јудините градови.
18. И царот Ровоам го испрати Адонирама, управникот над даноците; но сите Израилци го затрупаа со камења, и тој умре, а царот Ровоам брзо се качи во кола, за да избега во Ерусалим.
19. И така Израилот се одметна од Давидовиот дом и до денес.
20. Кога сите Израилци слушнаа, дека Јеровоам се вратил од Египет, испратија и го повикаа во собранието и го зацарија над сите Израилци. Со Давидовиот дом не остана никој, освен племето Јудино и Венијаминово.
21. Ровоам, откако пристигна во Ерусалим, себра од целиот Јудин дом и од коленото Венијаминово сто и осумдесет иљади избрани војници, за да војуваат против Израилевиот дом и да му го возвратат царството на Соломоновиот син Ровоам.
22. И би слово Божјо кон Семеја, човек Божји, и беше речено:
23. 'Кажи му на Соломоновиот син Ровоама, царот јудејски, и на целиот Јудин и Венијаминов дом и на другиот народ:
24. вака вели Господ: ‘Не одете и не почнувајте војна против вашите брака, Израилевите синови; вратете се секој во домот свој, бидејќи тоа беше од Мене.' И тие ги послушаа

Господовите зборови и се вратија дома според словото Господово.
25. Јеровоам го изгради Сихем на Ефремовата гора и се насели во него; оттаму тргна и го изгради Фануил.
26. И Јеровоам си говореше во срцето свое: 'Царството може пак да премине кон Давидовиот дом,
27. ако овој народ оди во Ерусалим да принесува жртви во домот Господов, тогаш срцето на тој народ ке се сврти кон својот господар Ровоама, царот јудјски, ке ме убијат и ке се вратат при Ровоама, царот јудејски.'
28. И царот, откако се посеветува, направи две златни телиња, и му рече на народот: 'Не ви треба да одете во Ерусалим; еве ги твоите богови, Израиле, кои те изведоа од Египетската земја.'
29. И едниот го остави во Ветил, а другиот - во Дан.
30. Тоа предизвика грев, зашто народот почна да оди при едниот од нив, дури во Дан и го оставија храмот Господов.
31. И изгради идолско светилиште и постави од народот свештеници, кои не беа од Левиевите синови.
32. Јеровоам установи празник во осмиот месец на петнаесеттиот ден, сличен на оној празник, каков што имаше во Јудеја, и принесуваше жртви на жртвеникот; тоа го направи и во Ветил, за да им се принесуваат жртви на телињата, што ги направи. И постави во Ветил свештеници во идолските светилишта, што ги беше изградил,
33. и принесе жртви во жртвеникот, што беше го изградил во Ветил, во петнаесеттиот ден од осмиот месец, месец што произволно го определи; и установи празник за синовите Израилеви и присатапи кон жртвеникот, за да прекади.

Глава 13

1. Е ете, според словото Господово, дојде еден божји човек од Јудеја во Ветил во она време, кога Јеровоам стоеше пред жртвеникот, за да прекади.
2. И произнесе кон жртвеникот слово Господово, велејќи: 'Жртвенику, жртвенику! Вака вели Господ: ‘ете, во Давидовиот дом ке се роди син по име Осија; тој ке ги принесе врз тебе во жртва идолските свештеници, што кадат врз тебе, и ке изгори врз тебе човечки коски.'
3. И во оној ден тој покажа знак, велејќи: 'А, еве, знак, дека Господ го рекол тоа: овој жртвеник ке се урне, и пепелта, што е на него, ке се развее.‘'
4. Кога цар Јеровоам го чу словото на Божјиот човек, изговорено пред жртвеникот во Ветил, ја пружи раката од жртвеникот и рече: 'Фатете го!' Тогаш раката негова, што ја беше пружил кон него, се здрви и не можеше да ја тргне кон себеси.
5. И жртвеникот се урна, и пепелта од жртвеникот се развеа, според знакот, даден од Божјиот човек преку словото Господово.
6. И царот Јеровоам му рече на Божјиот човек: 'Умилостиви го лицето на Господа, твојот Бог, и помоли се за мене, па да ми се поврати раката.' Човекот божји Го умилостиви лицето Господово, и раката се поврати и стана како порано.
7. Тогаш царот му рече на божјиот човек: 'Дојди со мене дома да се поткрепиш; ке ти дадам да јадеш, и ке ти донесам подарок.'
8. Но Божјиот човек му одговори на царот: 'Да ми дадеш и половина од домот свој, нема да дојдам со тебе, нема да јадам леб и нема да пијам вода во тоа место,
9. зашто така ми е заповедано преку словото Господово: ‘не јади таму леб, не пиј вода и не се вракај по патот, по кој си одел.‘'
10. И тој тргна по друг пат и не се врати по оној пат, по кој беше дошол во Ветил.
11. Во Ветил живееше еден пророк - старец. Синовите негови дојдоа и му раскажаа се, што беше направил оној ден Божјиот човек во Ветил; тие му ги раскажаа на татка си и зборовите, што тој му ги беше кажал на царот.
12. И татко им ги праша: 'По кој пат си отиде?' А синовите му покажаа, по кој пат тргна Божјиот човек, што дошол од Јудеја.
13. Тогаш тој им рече на синовите свои: 'Оседлајте ми го оселот.' Тие му го оседлаа оселот, и тој се качи на него.
14. И тргна по Божјиот човек, и го најде како седи по еден даб, и го праша: 'Ти ли си Божјиот човек, што доа а од Јудеја?' Оној одговори: 'Јас сум.'
15. Тогаш му рече: 'Дојди кај мене дома и касни леб.'
16. Оној му одговори: 'Не можам да се вратам со тебе и да дојдам при тебе; нема да јадам леб и нема да пијам вода кај тебе во ова место,
17. зашто преку словото Господово му е речено: 'не јади леб и не пиј вода таму, и не се вракај по патот, по кој си одел.'
18. Тој му рече: 'И јас сум таков пророк како тебе и ангелот ми говореше преку словото Господово и рече: ‘врати го во домот свој; нека касне леб и нека пие вода.‘' Но тој го излага.
19. И оној се врати со него, касна леб во куката негова и се напи вода.
20. Кога тие уште седеа на трпезата, би словото Господово кон пророкот, што го беше вратил.
21. И тој изговори кон Божјиот човек, што беше дошол од Јудеја и рече: 'Вака вели Господ: ‘затоа што не се покори на устата Гсоподова и не ја запази заповедта, што ти ја беше дал Господ, Бог твој,
22. туку се врати, јадеше леб и пиеше вода на ова место, за кое Он ти беше рекол - не јади леб и не пиј вода, телото твое нема да влезе во гробницата на татковците твои.‘'
23. Откако оној јадеше леб и се напи вода, тој го оседла оселот за пророкот, што го беше вратил.
24. И оној си замина. На патот го сретна лав и го умртви. Телото му лежеше испружено на патот; оселот, пак, стоеше до него, а лавот стоеше до телото.

25. И ете, минувачите го видоа телото, испружено на патот, и лавот како стои до телото; и отидоа, та раскажаа во градот, во кој живееше пророкот - старец.
26. Откако го чу тоа пророкот, што го беше вратил од патот, рече: 'Тоа е оној човек Божји, што не ја послуша устата Господова; Госопод го предаде на лав, што го нападнал и го усмртил, според словото Гсоподово, што му беше кажано.'
27. И им рече на синовите свои: 'Оседлајте ми го оселот.' И го оседлаа.
28. Тој отиде и го најде телото негово испружено на патот; а оселот и лавот стоеја до телото; лавот не беше го изел телото и не беше го раскинал оселот.
29. Тогаш пророкот го крена телото на човекот Божји, го стави на оселот и го однесе назад. И пророкот - старец тргна кон градот свој, за да го оплаче и погребе.
30. И го положи телото негово во својата гробница и плачеше за него: 'Леле, брату мој!'
31. Откако го погреба, тој им рече на синовите свои: 'Кога ке умрам, погребете ме во гробницата, во која е погребан Божијот човек, до неговите коски положете ги моите коски,
32. зашто ке се исполни словото, што по заповед на Господа тој го кажа за жртвеникот во Ветил и за сите идолски светилишта во самарските градови.'
33. И по овој настан Јеровоам не се одврати од лошиот пат свој, туку продолжи да поставува идолски свештеници од народот; кого сакаше, него го посветуваше, и тој стануваше идолски свештеник.
34. Тоа го водеше Јеровоамовиот дом во грев, кон пропаст и кон истребувањето негово од лицото на земјата.

Глава 14

1. Во она време се разболе Јеровоамовиот син Авија.
2. И Јеровоам и рече на жена си: 'Стани и преоблечи се, за да не те познаат, дека си Јеровоамова жена, па оди во Силом. Таму е пророкот Ахија, што ми претскажа, дека ке бидам цар на овој народ.
3. Земи со себе за Божјиот човек десет леба, питки и грне мед, па оди при него; тој ке ти каже, што ке стане со детето.'
4. Јеровоамовата жена така направи: стана, отиде во Силом и влезе во куката на Ахија. А Ахија веке не можеше да гледа, зашто очите му беа станале неподвижни од старост.
5. Тогаш Господ му рече на Ахија: 'Ете, Јеровоамовата жена доа а да те праша за синот свој, бидејки е болен; кажи и така и така; таа ке дојде преоблчна.'
6. Ахија, што го чу шумот од чекорите нејзини, кога влезе низ вратата, рече: 'Влези, Јеровоамова жено; зошто требаше да се преоблекуваш? Јас сум пратен да ти кажам зло.
7. Оти и кажи му на Јеровоама: вака вели Господ, Бог Израилев: ‘Јас те издигнав од средината на простиот народ и те поставив за водач на Мојот народ Израилот,
8. го одзедов царството од Давидовиот дом и ти го дадов тебе; но ти не си таков, каков што беше Мојот слуга Давид, кој ги пазеше заповедите Мои и кој Ме следеше од се срце, вршејки го само она, што е угодно пред очите Мои;
9. ти постапуваш полошо од сите, што беа пред тебе, и отиде, та си направи други богови и идоли, за да Ме дразниш, а Мене ме отфрли зад грбот свој,
10. затоа Јас ке испратам зло врз Јеровоамовиот дом и ке го истребам кај Јеровоама дури и она што мокри до ѕид, што е затворено и изоставено во Израилот, и ке го исчистам Јеровоамовиот дом сосема, како што чистат убре;
11. кој од Јеровоамовиот дем ке умре во град, него кучињата ке го изедат, а кој ке умре во полето, него птиците небески ке го исколваат; така вели Господ.
12. Стани, па оди во домот свој; и, што чекорот твој ке стапне во градот, детето ке умре;
13. сите Израилци ке го оплачат и ке го погребат, зашто само тоа од Јеровоамовиот дом ке влезе во гроб, бидејки во него, од целиот Јеровоамов дом, се најде нешто добро пред Господа, Израилевиот Бог.
14. И Господ ке Си издигне над Израилот цар, кој ке го истреби Јеровоамовиот дом во оној ден; и што? - еве денес!
15. И Господ ке го порази Израилот, и тој ке биде како трска, која се лула во водата, и ке ги исфрли Израилците од оваа убава земја, што им ја даде на татковците нивни, и ке ги расфрли зад реката, поради тоа што си направија идоли и го гневеа Господа;
16. и ке го изостави Господ Израилот поради гревовите на Јеровоама, што сам си ги направи, и со кои го наведе во грев Израилот.'
17. Јеровоамовата жена стана, тргна и дојде во Сарир; и, штом стапи на кукниот праг, детето умре.
18. И сите Израилци го погребаа и оплакаа, според словото на Господа, кое Он го изрече преку Својот слуга, пророкот Ахија.
19. Другите дела на Јеровоама - како војувал и како царувал - се опишани во летописите на израилските цареви.
20. Времето, во кое што царуваше Јеровоам, беше дваесет и две години; и почина при татковците свои, а место него се зацари синот негов Нават.
21. Соломоновиот син Ровоам царуваше во Јудеја. Ровоам беше на четириесет и една година кога стана цар, и царуваше седумнаесет години во Ерусалим, во градот, што Господ го избра од сите Израилеви племиња, за да остане засекогаш таму името Негово. Името на мајка му беше Наама, Амонитка.
22. И Јуда го вршеше она, што не беше угодно пред очите на Господа, и Јудините синови го разгневуваа повеке, отколку татковците нивни со гревовите свои, што беа ги правеле.

23. Тие си беа издигнале идоли и идолски светилишта на секој висок рид и под секое сенчесто дрво.
24. Во таа земја имаше и блудници, што ги вршеа сите гнасотии на оние народи, кои Господ ги беше прогонил од лицето на Израилевите синови.
25. На петтата година од Ровоамовото царување египетскиот цар Сусаким се крена против Ерусалим,
26. и ги зеде ризниците на домот Господов и ризниците на царскиот дом: и златните штитови, кои Давид ги беше зел од слугите на сувскиот цар Адраазар и ги беше внел во Ерусалим. Се зеде; ги зеде и сите златни штитови, што ги беше направи Соломон.
27. И наместо нив цар Ровома направи бронзени штитови и ги даде во рацете на старешините и телохранителите, кои го чуваа влезот во царскиот дом.
28. Кога царот одеше во домот Господов, телохранителите ги носеа, а потоа ги вракаа во живеалиштата на телихранителите.
29. Другото за Ровоама и за се, што вршел, е опишано во летописите на јудејските цареви.
30. Ме у Ровоама и Јеровоама имаше војна преку сите денови на животот нивни.
31. Ровоам почина при татковците свои и беше погребан при нив во Давидовиот град. Името на мајка му беше Наама, Амонитка. Наместо него стана цар синот негов Авија.

Глава 15

1. Не осумнаесеттата година од царувањето на Наватовиот син Јервоам, над Јудејците стана цар Авија.
2. Тој царуваше во Ерусалим три години; името на мајка му беше Мааха, Авесаломова керка.
3. Тој одеше во сите гревови на таткото свој, што тој ги вршеше пред него, и срцето негово не беше предадено на неговиот Господ Бог, како срцето на татка му Давида.
4. Но заради Давида, неговиот Господ Бог му беше дал светило во Ерусалим, воздигнувајки го по него синот негов и го закрепи Ерусалим,
5. зашто Давид вршеше, она што беше угодно пред очите на Господа, и во сите дни на животот свој во ништо не отстапуваше од она, што Он му беше заповедал, освен постапката со Хетеецот Урија.
6. Ме у Ровоама и Јеровоама имаше војна во сите дни на животот нивни.
7. Другите дела на Авија, и се што вршел, е опишано во летописите на јудејските цареви. И имаше војна ме у Авија и Јеровоама.
8. Авија почина при татковците свои и го погребаа во Давидовиот град. И наместо него стана цар синот негов Аса.
9. Аса стана цар над Јудејците во дваесеттата година од царувањето на израилскиот цар Јеровоам,
10. и царуваше во Ерусалим четириесет и една година; името на мајка му беше Ана, Авесаломова керка.
11. Аса го вршеше она што беше угодно пред очите на Господа, како неговиот татко Давид.
12. Тој ги изгони блудниците од земјата и ги отфрли сите идоли, што ги беа направиле татковците негови,
13. и дури мајката своја Ана ја лиши од звањето царица, поради тоа што беше направила идол на Астарта; и го скрши Аса и нејзиниот идол и го изгори при потокот Кедрон.
14. Идолските светилишта, навистина, не беа урнати. Но срцето на Аса му беше предадено на Господа во сите дни негови.
15. И тој ги внесе во домот на Господа предметите, посветени на татко му негов, и предметите посветени од него: сребро, злато и садови.
16. Ме у Аса и израилскиот цар Васа имаше војна во сите нивни дни.
17. Израилскиот цар Васа излезе против Јудеја и почна да ја гради Рама, та никој да не излегува, ниту да оди при јудејскиот цар Аса.
18. Тогаш Аса го зеде сето сребро и злато, што беше останало во ризницата на домот Господов и во ризницата на царскиот дом, и го даде во рацете на слугите свои; и царот Аса ги испрати при Таверема, синот на Адера, син Хезионов, цар сириски, кој живееше во Дамаск, велејќи:
19. 'Нека има сојуз ме у мене и тебе, како што имаше ме у мојот татко и твојот татко; ете, ти испракам на дар сребро и злато; раскини го сојузот свој со израилскиот цар Васа, та да се оттргне од мене.
20. И синот на Адера го послуша царот Аса, и ги испрати своите војводи против израилските градови и ги порази Аин, Дан, Авел-Вет-Мах и целиот Кинерот, по целата Нефталимова земја.
21. Кога го чу тоа, Васа престана да ја гради Рама и се врати во Сарир.
22. А царот Аса ги собра сите Јудејци без исклучок, и тие ги изнесоа од Рама камењата и дрвјата, кои Васа ги употребуваше за градење. Со нив царот Аса ги изгради Гива Венијаминова и Миспа.
23. Сите други дела на Аса сите негови подвизи и се што изврши, и градовите што ги изгради, се опишани во летописите на јудејските цареви, освен тоа, дека на стари години го заболеа нозете.
24. Аса почина при татковците свои и беше погребан при нив во градот на татка си Давида. А место него стана цар синот негов Јосафат.
25. А Јеровоамовиот син Нават стана цар над Израилот во втората година на јудејскиот цар Аса

и царуваше над Израилот две години.
26. Тој го вршеше, она што беше неугодно пред очите на Господа, одеше по патот на татка си и во гревовите негови, со кои тој го наведе во грев Израилот.
27. Против него се крена Ахиевиот син Васа, од Исахаровиот дом, и Васа го уби при Гаватон филистејски, кога Нават и сите Израилци го опседнуваа Гаватон;
28. Васа го уби во третата година јудејскиот цар Аса и стана цар место него.
29. Кога стана цар, тој го порази целиот Јеровоамов дом и не остана ниедна душа кај Јеровоама, додека не го истреби, според словото на Господа, што го беше изрекол преку својот слуга Ахија Силомецот,
30. поради гревовите на Јеровоама, кои тој сам ги напрви и со кои го наведе во грев Израилот, поради гревовите со кои тој го разгневи Господа, Бога Израилев.
31. Другите дела на Навата, се што тој извршил, се опишани во летописите на израилските цареви.
32. Ме у Аса и израилскиот цар Васа имаше војна во текот на сите нивни денови.
33. Во третата година на јудејскиот цар Аса стана цар во Терс над сите Израилци Ахиевиот син Васа и царуваше дваесет и четири години.
34. Тој го вршеше она, што не беше угодно пред очите на Господа, и одеше по патот на Јеровоама и во гревовите негови, со кои тој го наведе во грев Израилот.

Глава 16

1. И би слово Господово кон Анаиевиот син Јуј за Васа:
2. 'Поради тоа што те издигнав од правот и те направив водач на мојот народ Израилот, а ти
тргна по патот на Јеровоама и го наведе на грев Мојот народ Израилот, за да Ме разгневува со
гревовите свои, -
3. ете, Јас ке го отфрлам домот на Васа и домот на потомството негово и ке направам со твојот
дом така, како и со домот на Наватовиот син Јеровоама:
4. кој од Васовиот дом ке умре во град, него кучињата ке го изедат, а кој ке умре во полето,
него птици небески ке го исколваат.'
5. Другите дела на Васа, и се што извршил, и подвизите негови, опишани се во летописите на
израилските цареви.
6. Васа почина при татковците свои и беше погребан во Терса. А место него стана цар синот
негов Ила.
7. Но преку Ананиевиот син Јуј беше веке кажано словото Господово за Васа, за домот негов и
за сето зло, што го беше извршил пред очите на Господа, разгневувајки Го со делата на рацете
свои, постапувајки како Јеровоамовиот дом, за што беше истребен.
8. Васовиот син Ила стана цар над Израилот во Терса во дваесет и шестата година на
јудејскиот цар Аса и царуваше две години.
9. Против него стана Замвриј, неговиот слуга и старешина на половината комора, кога се беше
напил во Терса, во домот на Арса, надзоник на дворецот во Терса.
10. Замвриј влезе, го удри и го уби во дваесет и седмата година на јудејскиот цар Аса и стана
цар место него.
11. Кога стана цар и седна на престолот него, тој го истреби целиот дом на Васа, не оставајки
му го ни она што мокри до ѕид, ни роднините негови, ни пријателите негови.
12. Замвриј го истреби целиот Васов дом, според словото на Господа, што го беше изрекол Он
за Васа преку пророкот Јуј,
13. за сите гревови на Васа и за гревовите на синот негов Ила, што го вршеа тие самите и со
кои го наведоа во грев Израилот, дразнејки Го Господа, Бога Израилев, со своите идоли.
14. Другите дела на Ила, и се што беше извршил, се опишани во летописите на израилските
цареви.
15. Замвриј стана цар во дваесет и седмата година на јудејскиот цар Аса и царуваше седум
дена во Терса, кога народот го опседнуваше Гаваон филистејски.
16. Кога народот, што го опседнуваше, дозна дека Замвриј направил заговор и го убил царот,
истиот ден во логорот сите Израилци го зацарија над Израилов војводата началник Амврија.
17. Амвриј и сите Изараилци со него отстапија од Гаватон и ја опседнаа Терса.
18. Кога Замвриј виде дека градот е преземен, влезе во царскиот дом, го потпали над себе
царскиот дом и загина,
19. поради своите гревови, со кои беше згрешил, вршејки го она што беше неугодно пред
очите на Господа, одејки по патот на Јеровоама и во гревовите негови, што тој ги изврши, за да
го наведе во грев Израилот.
20. Другите дела на Замврија и заговорот негов, што беше го направил, се опишани во
летописите на Израилските цареви.
21. Тогаш Израилскиот народ се раздели на два дела: половината народ беше со Гонатовиот
син Тамниј, за да го направи цар него, а другата страна со Амврија.
22. Надвладеа народот, што беше со Амврија, над народот, кој беше со Гонатовиот син Тамниј;
но Тамниј умре, а цар стана Амвриј.
23. Амвриј стана цар над Израилот во триесет и првата година на јудејскиот цар Аса и
царуваше дванаесет години. Тој царуваше во Терса шест години.
24. Амвриј ја купи од Семира гората Самарија, за два таланта сребро, изгради на гората град и
го нарече Самарија - според името на Семира, сопственикот на гората.

25. И Амвриј вршеше, што не беше угодно пред очите на Господа, и постапуваше полошо од сите свои претходници.
26. Тој во се одеше по патот на Наватовиот син Јеровоама и во гревовите негови, со кои тој ги наведе на грев Израилците, за да Го разгневат Господа, Бога Израилев, со своите идоли.
27. Другите дела на Амврија, што ги направил, и јунаштвото, што го покажал, се опишани во летописите на израилските цареви.
28. Амвриј почина при татковиците свои и беше погребан во Самарија, а место него стана цар синот негов Ахав.
29. Амвриевиот син Ахав стана цар над Израилот во триесет и осмата година на јудејскиот цар Аса, и Амвриевиот син Ахав царуваше во Самарија над Израилот дваесет и две години.
30. И Амвриевиот син Ахав го вршеше она што не му беше угодно пред очите на Господа повеке од сите свои претходници.
31. Не беше доволно тоа што тој западна во гревовите на Наватовиот син Јеровоама, туку си ја зеде за жена Језавела, керката на сидонскиот цар Етавал, и почна да му служи на Ваала и да му се клања;
32. и му подигна на Ваала жртвеник во Вааловото светилиште, што го беше изградил во Самарија.
33. Ахав направи дубрава, направи и повеке од сите израилски цареви што беа пред него. Ахав го правеше она што Го лутеше Господа, Бога Израилев и душата своја ја погуби.
34. Во негово време Ветилицот Ахил го изгради Јерихон: врз првородениот син свој Авирон, тој ги стави основите негови и врз најмалиот син Сегува ги постави портите негови, според словото на Господа, што Он го беше изрекол преку Навиновиот син Исуса.

Глава 17

1. И пророкот Илија, Тесвитец од Галадските жители, му рече на Ахава: 'Жив Господ, Бог Израилев, пред Кого стојам! Во овие години нема да има ниту роса, ниту дожд, освен според мојот збор.'
2. Потоа Господа му рече:
3. 'Тргни се оттука, сврти се кон исток и сокриј се при потокот Хорат, кој е спроти Јордан;
4. од тој поток ке пиеш, а на гавраните сум им заповедал да те хранат таму.'
5. И тој отиде и постапи според словото Господово; отиде и остана при потокот Хорат, кој е спроти Јордан.
6. И гавраните му донесуваа леб и месо наутро, леб и месо навечер; а пиеше од потокот.
7. По извесно време потокот пресуши, бидејки немаше дожд за земјата.
8. Тогаш Господ му рече:
9. 'Стани, оди во Сарепта Сидонска и остани таму. Јас и заповедав таму на една жена вдовица да те храни.'
10. И стана тој, па отиде во Сарепта. Кога дојде при градските порти, ете, таму една вдовица жена собира дрва. Тој и се обрати и и рече: 'Донеси му малку вода во сад да пијам!'
11. Таа отиде, за да земе, а тој повика по неа и рече: 'Донеси ми в раце и парче леб!'
12. Таа му одговори: 'Жив ми Господ, твојот Бог, нема ништо печено, туку имам само грст брашно во ноквите и малку масло во масларникот; и, ете, јас ке соберам две - три дрвца, ке отидам и ке го приготвам тоа за себеси и за синот свој; ке го изедеме тоа и ке умреме.'
13. А Илија и рече: 'Не плаши се; оди и направи го она што го рече; но најнапред направи од тоа мала пресна питка за мене и донеси ми; а за себеси и за синот свој ке направиш после;
14. зашто вака вели Господ, Бог Израилев: ‘брашното во ноквите нема да сврши, и маслото во масларникот, нема да се намали до оној ден, во кој Господ ке даде дожд на земјата.‘'
15. Таа отиде и направи така, како што и рече Илија и таа се хранеше, и тој и синот нејзин извесно време.
16. Брашното во ноквите не се свршуваше, и маслото во масларникот не се намалуваше, според словото на Господа, што Он го изрече преку Илија.
17. Потоа се разболе синот на таа жена, на домакинката, и болеста негова беше толку силна, што не можеше да диши.
18. Тогаш таа му рече на Илија: 'Што имаш ти со мене, човеку Божји? Си дошол да ми ги наспомниш моите гревови и да го умреш синот мој.'
19. А тој и одговори: 'Дај ми го синот твој.' И го зеде од рацете нејзини, го однесе во горната соба, каде што живееше го положи на леглото свое;
20. па повика кон Господа и рече: 'Господи, Боже мој! Зар Ти на вдовицата, при која живеам, ке и направиш зло, погубувајки и го синот нејзин?'
21. И откако се спружи трипати над момчето, извика кон Господа и рече: 'Господи, Боже мој! Нека се врати душата на ова момче во него!'
22. И Господ го чу гласот на Илија, му ја врати душата на момчето во него, и тоа оживе.
23. Илија го зеде момчето, го симна од горната соба во домот, и го предаде на мајка му и рече: 'Еве, син ти е жив!'
24. Тогаш жената му рече на Илија: 'Сега навистина дознав, дека ти си Божји човек, и дека словото Господово во твојата уста е вистинско.'

Глава 18

1. Откако изминаа многу денови, пак му рече Господ на Илија во третата година: 'Оди и јави му се на Ахава, и јас ке дадам дожд на земјата.'
2. Илија отиде да му се јави на Ахава. А во Самарија имаше голем глад.
3. И Ахава го повика Авдија, управникот на дворецот. Авдија, пак, беше човек кој многу се боеше од Господа.
4. Кога Језавела ги истребуваше пророците Господови, Авдиј зеде сто пророци и ги криеше во пештери, по педесет лу е, и ги хранеше со леб и вода.
5. И Ахав му рече на Авдија: 'Тргни по земјата, по сите водни извори и по сите потоци во земјата, можеби некаде ке најдеме трева, за да си ги прехраниме коњите и маските и да не се лишиме од добитокот.'
6. И тие ја разделија ме у себе земјата, за да ја обиколат: Ахав тргна одделно по еден пат, а Авдиј тргна одделно по друг пат.
7. Кога Авдиј врвеше по патот, ете, во пресрет му доа а Илија. Тој го позна, падна ничкум и рече: 'Ти ли си, господару мој Илија?'
8. Овој му одговори: 'Јас сум; оди и кажи му на господарот свој: ‘Илија е тука.‘'
9. Тој рече: 'Што сум виновен, па го предаваш својот слуга во рацете на Ахава, за да ме убие?'
10. 'Жив Господ, твојот Бог! Нема ниеден народ и царство, каде што не испракал господарот мој да те бара; и кога му кажуваа дека те нема, тој земаше клетва од тоа царство и народ, дека не можеле да те најдат;
11. а ти сега велиш, оди и кажи му на господарот: Илија е тука.
12. Кога јас ке си отидам од тебе, Духот Господов ке те однесе, не знам каде; и ако отидам да му јавам на Ахава, и тој не те најде, ке ме убие; а слугата твој е богобојазлив од младини.
13. Зар не му е кажано на мојот господар, што сторив јас, кога Језавела ги избиваше Господовите пророци, како криев сто Господови пророци, по педесет души во пештера, и ги хранев со леб и вода?
14. А ти сега велиш: оди и кажи му на твојот господар: Илија е тука; тој ке ме убие.'
15. Тогаш Илија му рече: 'Жив Господ Саваот, пред Кого стојам, денес ке му се јавам!'
16. Авдиј отиде да го пресретне Ахава и му јави, и Ахав отиде да го пресретне Илија.
17. Штом Ахав го виде Илија, му рече: 'Ти ли си, што го вознемируваш Израилот?'
18. Илија му одговори: 'Јас не го вознемирувам Израилот, туку ти и татковиот дом твој, бидејки ги презревте Господовите заповеди и врвите по Вааловците;
19. сега испрати и собери го при мене сиот Израил на гората Кармил, и четиристотините и педесет Ваалови прорци и четирите стотини пророци од дубравата, што се хранат од трпезата на Језавела.'
20. И Ахав испрати до сите Израилеви синови и ги собра сите пророци на гората Кармил.
21. Тогаш Илија пристапи кон сиот народ и рече: 'Уште ли ке храмите на двете колена? Ако Господ е Бог, врвете по Него; ако ли е Ваал - одете по него.' А народот не му одговори ни збор.
22. И му рече Илија на народот: 'Само јас останав пророк Господов, а Ваалови пророци има четиристотини и педесет души и четиристотини идолски пророци;
23. нека ни дадат две телиња и нека си изберат едно теле, и да го расечат и стават врз дрва, но оган да не потпалуваат; јас, пак, ке го приготвам другото теле и ке го ставам врз дрва, и оган нема да потпалувам;
24. тогаш повикајте го името на вашиот бог, јас, пак, ке го повикам името на Господа, мојот Бог. Оној Бог, Кој ке одговори преку оган, Он е Бог.' И сиот народ одговори и рече: 'Добро, нека биде така!'
25. Потоа им рече Илија на Вааловите пророци: 'Изберете си едно теле и пригответе го вие најнапред, бидејки сте многу; и повикајте го името на вашиот бог, и оган не потпалувајте.'
26. И ете го зедоа телето, што им беше дадено, го приготвоја и го повикуваа името на Ваала од утрината до пладне, велејки: 'Ваале, почуј не!' Но немаше ни глас, ни одговор. И тие скокаа

пред жртвеникот, што беа го направиле.
27. Попладнето Илија почна да им се потсмева и велеше: 'Викајте посилно, зашто тој е бог; можеби се замислил, или е зафатен со нешто, или е на пат, а можеби и спие, - така ке се разбуди!'
28. И тие почнаа да викаат високо и според обичајот свој да се бодат со ножеви и копја, така што крв течеше од нив.
29. Мина пладне, а тие се уште беснееја токму до вечерното жртвопринесување; но не се чу ни глас, ни одговор, ниту слух. Тогаш Илија Тесвитецот им рече на Вааловите пророци: 'А сега тргнете се вие, та и јас да го извршам своето жртвопринесување.' Тие се тргнаа и замолкнаа.
30. Тогаш Илија му рече на сиот народ: 'Приближете се до мене.' И сиот народ се приближи до него. Тој, пак, го подигна урнатиот жртвеник Господов.
31. И зеде Илија дванаесет камења, токму колку што се колената на синовите на Јакова, кому Господ му беше рекол вака: 'Израил ке биде твоето име.'
32. И изгради од тие камења жртвеник во името на Господа, а околу жртвеникот направи окоп, што собираше две мери зрна, за да се посеат,
33. и постави дрва врз жрвеникот, го расече телето, го стави врз дрвата,
34. и рече: 'Наполнете четири ведра вода и поливајте ја жртвата сепаленица и дрвата!' И направија така. Потоа рече: 'Повторете!' И тие повторија. Тогаш рече: 'Направете го тоа по третпат.' И тие го направија и по третпат.
35. И водата се разлеа околу жртвеникот, а окопот се наполни со вода.
36. Кога ја принесуваа вечерната жртва, пророкот Илија се приближи, извика кон небото и рече: 'Господи, Боже Авраамов, Исаков и Израилев! Чуј ме, Господи, чуј ме денес во огнот! Нека познаат денес овие лу е, дека си Ти единствен Бог во Израилот, и дека јас сум Твој слуга и дека извршив се според Твоето слово.
37. Чуј ме, Господи, чуј! Нека познае овој народ, дека Ти, Господи, си Бог и ти ке го свртиш срцето нивно кон Себеси.'
38. И оган Господов падна и ја изеде сепаленицата, и дрвата, и камењата и земјата, и ја голтна водата, што беше во окопот.
39. Кога го виде тоа, сиот народ падна ничкум и рече: 'Господ е Бог, Господ е Бог!'
40. Тогаш Илија им рече: 'Фатете ги Вааловите пророци, та ниеден од нив да не се сокрие.' Ги фатија, а Илија ги одведе при потокот Кисон и таму ги искла.
41. Илија му рече на Ахава: 'Оди, јади и пиј, зашто се слуша шум од дожд.'
42. Ахав отиде да јаде и да пие, а Илија се искачи на врвот на Кармил, се наведна кон земјата, го стави лицето ме у колениците свои
43. и му рече на слугата свој: 'Оди и погледни кон морето:' Тој отиде, погледна и рече: 'Ништо нема.' Тој пак рече: 'Направи го тоа седумпати.'
44. На седмиот пат слугата рече: 'Ете од морето се крева мало облаче, колку човечка дланка.' Тој му рече: 'Оди, кажи му на Ахава: ‘впрегни ја колата своја и тргнувај, за да не те испревари дождот.‘'
45. Во тоа време небото потемне од облаци и виор, и почна да па а силен дожд. Ахав тогаш седна во колата, заплака и тргна за Језраел.
46. А раката Господова беше врз Илија. Тој го препаша крстот свој и трчаше пред Ахава дури до Језраел

Глава 19

1. И Ахав и раскажа на Језавела се што направи Илија, и како тој ги уби со меч сите пророци.
2. А Језавела испрати пратеник при Илија да му каже: 'Ако си ти Илија, а јас Језавела, нека ми направат богивите тоа и тоа и нешто повеке да ми направат, ако утре во ова време не направам со твојата душа, она што беше направено со душата на секого од нив.'
3. Кога го виде тоа, Илија стана и замина, за да го спаси животот свој, и дојде во Вирсавија, која е во Јудеја, и таму го остави слугата свој,
4. а самиот тој отиде во пустињата на еден ден пат и, откако дојде, седна под едно иглолисно дрво и сакаше да умре, велејки: 'Доста веке, Господи, прибери ја душата моја, бидејки јас не сум подобар од татковците свои.'
5. И легна, та заспа под дрвото. И ете, ангел го допре и му рече: 'Стани, јади и пиј.'
6. Илија погледна, и, ете, до возглавницата негова стои печена питка и стомна вода. Тој касна, пивна и пак заспа.
7. Ангелот Господов се врати повторно, се допре до него и рече: 'Стани, јади и пиј, бидејки те чека долг пат.'
8. Тој стана, касна и пивна и, откако се поткрепи со таа храна, одеше четириесет дена и четириесет ноки до Божјата гора Хорив.
9. И влезе таму во една пештера и нокеваше во неа. И, ете, би кон него слово Господово, и Господ му рече: 'Зошто си овде Илија?'
10. Тој одговори: 'Пламнав од ревност за Господа, Бога Саваот, зашто Израилевите синови го оставија Твојот завет, ги разурнаа Твоите жртвеници и со меч ги убија Твоите пророци; само јас останав, но и мојата душа сакаат да ја земат.'
11. Тогаш Бог му рече: 'Излези и застани на горатa пред лицето Господово; и, ете, Господ ке мине, и голем и силен ветар кој ридови урива и соборува карпи пред Господа; но не е Господ во ветрот; по ветер - земјотрес, но не е Господ во земјотресот;
12. по земјотресот - оган, но не е Господ во огнот; по огнот - здив од тих ветар, и таму е Господ.'
13. Кога го чу тоа, Илија си го сокри лицето со својот кожув, излезе и застана пред влезот во пештерата. И кон него се чу глас, кој му рече: 'Зошто си тука, Илија?'
14. Тој одговори: 'Пламнав од ревност за Господа, Бога Саваот, зашто Израилевите синови го оставија Твојот завет, ги разурнаа Твоите жртвеници и со меч ги убија Твоите пророци; само јас останав, но и мојата душа сакаат да ја земат.'
15. А Господ му рече: 'Врати се по патот свој преку пустињата во Дамаск и, кога ке стигнеш, помажи го Азаила за цар на Сирија,
16. а Јуја, Намесиевиот син, помажи го за цар над Израилот; Јелисеја, пак, Сафатовиот син, од Авел-Маул, помажи го за пророк место себеси;
17. зашто кој ке избега од Азаиловиот меч, него ке го убие Јуј, а кој ке се избави од мечот на Јуја, него ке го убие Јелисеј.
18. Но сепак оставив ме у Израилците седум иљади мажи; сите тие не ги свиткувале колената пред Ваала, и устите нивни не го бакнувале.'
19. И тој тргна оттаму и го најде Сафатовиот син Јелисеја, кога ораше; дванаесет рала волови имаш тој и сам беше при дванаесеттото. Минувајки крај него, Илија го фрли кожувот врз него.
20. Тогаш Јелисеј ги остави воловите и почна да трча по Илија и рече: 'Дозволи ми да ги бакнам татко ми и мајка ми, и ке тргнам по тебе.' Тој му одговори: 'Оди и врати се, зашто, што сум ти направил?'
21. Тој се врати од него, зеде рало волови, ги закла и, откако го запали плугот на воловите, го изпече месото нивно и им го раздели на лу ето, и тие јадеа. А самиот тој стана и тргна по Илија и почна да му служи.

Глава 20

1. Сирскиот цар, синот Адеров, ја собра сета војска своја, и со него имаше триесет и двајца цареви, и коњи и коли, и отиде, па ја опседна Самарија и војуваше против неа.
2. И испрати пратеници до Израилскиот цар Ахав во градот,
3. и му рече: 'Вака вели сирискиот цар: твоето сребро и твоето злато се мои, и твоите жени и најдобрите твои синови се мои.'
4. Израилскиот цар одговори и рече: 'Нека биде според зборот твој, господару мој, царе; јас и се што е мое е твое.'
5. Претениците повторно дојдоа и рекоа: 'Вака вели Адад: испратив да ти кажат, дај ми го среброто свое и златото свое, жените свои и синовите свои.
6. Затоа, утре, во ова време, ке ги испратам при тебе слугите свои да ја пребараат твојата кука и куките на твоите слуги, и да го земат в раце и да го изнесат се што е скапо за очите твои.'
7. Израилскиот цар ги повика сите старешини во земјата и рече: 'Размислете и гледајте, па тој крои зло; кога испрати при мене за жените и синоивте мои, за среброто и златото мое, јас не му откажав.'
8. И сите старешини и сиот народ му одговорија: 'Не слушај и не се согласувај!'
9. Потоа тој им одговори на Ададовите пратеници: 'Кажете му на мојот господар, царот: се, за кое ти испрати привиот пат по твојот слуга, готов сум да го направам, но ова не можам да го направам.' Тогаш претениците си отидоа и му однесоа одговор.
10. И Адад испрати и му порача: 'Нека ми направат тоа и тоа боговите и уште повеке да ми направат, ако самарискатa пепел биде доволна по еден грст за сите лу е што одат по мене.'
11. Израилскиот цар одговори и рече: 'Кажете му да не се фали оној, кој се опашува како оној, што се распашува.'
12. Кога ги чу тие зборови Адад, кој пиеше во шатоpотие заедно со царевите, им рече на слугите свои: 'Опседнувајте го градот!' И го опседнаа градот.
13. И ете, еден пророк пристапи до израилскиот цар Ахав и рече: 'Вака вели Господ: го гледаш ли ова цело големо множество? Еве, денес ке го предадам во твои раце, за да знаеш дека Јас сум Господ.'
14. Ахав запраша: 'Преку кого?' Тој одговори: 'Вака вели Господ: ‘преку слугите на градските водачи.‘' А Ахав пак праша: 'Кој ке ја почне битката?' Тој му одговори: 'Ти.'
15. Ахав ги преброи слугите на градските водачи, и се најде дека се дваесте и триесет и двајца; по нив го преброи сиот народ, сите израилски синови, и тие беа седум иљади.
16. тие тргнаа околу пладне. А Адад се беше напил во шаторите заедно со царевите, со триесет и двајцата цареви, кои му помагаа.
17. Најнапред тргнаа градските водачи. И прати синот Адеров да му соопштат на сирискиот цар дека излегле лу е од Самарија.
18. Тој рече: 'Ако се излезени за мир, фатете ги живи; ако, пак, се излезени да војуваат, пак фатете ги живи!'
19. Слугите на градските водачи излегоа од градот, а по нив и војската.
20. И секој го убиваше својот противник: Сирициte почнаа да бегаат, а Израилците ги гонеа. Сирискиот цар се спаси на коњ со коњицата.
21. Израилскиот цар излезе, ги заплени коњите и колите и им нанесе голем пораз на Сирициte.
22. Тогаш пророкот пристапи до израилскиот цар и му рече: 'Оди, поткрепи се, па знај и гледај, што ке правиш, зашто по една година сирскиот цар пак ке излезе против тебе.'
23. И му кажаа на сирскиот цар слугите негови: 'Нивниот Бог е Бог на горите, а не Бог на долините, затоа не победија; но, ако се удриме со нив во рамнина, бездруго ке ги надвиеме;
24. И така, еве што ке направиш: отстрани ги царевите секој од местото негово и место нив постави градски водачи;
25. и собери си толку војска, колку што изгина, и коњи, и коли, колку што имаше; ке се удриме со нив во рамнина и тогаш бездруго ке ги надвиеме.' Тој го послуша гласот нивни и направи

така.
26. По една година Адад собра Сирци и тргна кон Афек, за да се удри со Израилот.
27. Собрани беа и Израилевите синови и, откако си зедоа храна, тргнаа против нив. Израилевите синови се сместија пред нив како две мали стада кози, а Сириците ја исполнија земјата.
28. Тогаш Божјиот човек се приближи и му рече на израилскиот цар: 'Така вели Господ: ‘бидејки Сириците велат, дека е Господ Бог на горите, а не Бог на долините, ке го предадам во рацете твои целото тоа големо множество, за да знаете, дека Јас сум Господ.‘'
29. И тие стоеја улогорени едни спроти други седум дена. На седмиот ден почна борбата, и Израилевите синови испотепаа сто иљади пешаци Сирци во еден ден.
30. Другите избегаа во градот Афек; таму падна ѕидот врз другите дваесет и седум иљади лу е. Адад, пак, влезе во градот и бегаше од една скривница во друга.
31. Тогаш неговите слуги му рекоа: 'Сме слушале, дека царевите од Израилевиот дом се милостиви цареви; дозволи ни да го препашаме со врекиште крстот свој, да ставиме јажиња околу главите свои и да отидеме при израилскиот цар; можеби тој ке го запази животот твој.'
32. Тие го препашаа крстот свој со врекиште, ставија околу главите свои јажиња и дојдоа при израилскиот цар, па рекоа: 'Твојот слуга Адад вели: ‘Поштеди го животот мој.‘ Оној праша: ‘Зар е тој жив? Тој ми е брат.‘'
33. Тие лу е го примија тоа како добар знак и брзо го зедоа зборот од устата негова и рекоа: 'Адад е твојот брат.' А тој им рече: 'Одете и доведете го.' Тогаш Адад излезе пред него, а тој го качи до себе во колата.
34. И му рече Адад: 'Градовите, што таткото мој ги презеде од твојот татко, ке ги вратам, и ти можеш да имаш за себе плоштади во Дамаск, како што имаше татко ми во Самарија.' Ахав одговори: 'Со договор ке те пуштам.' И, откако склучи договори со него, го пушти.
35. Тогаш еден од пророковите синови според словото Господово му рече на еден од своите другари: 'Тепај ме!' Но тој човек не се согласи да го бие.
36. Тогаш му рече: 'Поради тоа што не го послуша Господовиот глас, ке те умртви лав, кога ке си отидеш од мене.' Тој си отиде од него, и лав го сретна и го умртви.
37. Тој најде друг човек и рече: 'Биј ме!' Оној човек го биеше толку многу, што му направи рани од тепањето.
38. Тогаш пророкот тргна и застана пред царот на патот, покривајки ги очите со покривало.
39. Кога царот минуваше, тој извика кон царот и рече: 'Твојот слуга одеше во борба, и ете, еден чвеок, откако се тргна настрана, доведе при мене човек и рече: ‘Варди го овој човек; ако не го зачуваш, душата твој ке оди место неговата душа, или ке треба да одмериш талант сребро.‘
40. Кога слугата твој се зафати со едни и други работи, тој се изгуби.' А израилскиот цар му рече: 'Таква ти е пресудата; ти сам си ја решил.'
41. Тој тогаш го симна покривалото од очите свои, и царот го позна, дека е од пророците.
42. И му рече: 'Вака вели Господ: затоа што го пушти од рацете свои човекот, што го бев предал на проклетство, твојата душа ке оди место неговата душа, и твојот народ - место неговиот народ.'
43. Израилскиот цар си замина во домот свој возбуден и огорчен и стигна во Самарија.

Глава 21

1. По тие настани еве што се случи: Израелецот Навутеј имаше во Језраел лозје до дворецот на самарискиот цар Ахав.
2. Ахав му рече на Навутеја, велејки: 'Дај ми го лозјето свое; тоа ке ми биде овоштарник, бидејки е близу до мојот дом, а место него ке ти дадам поубаво лозје од тоа, или, ако сакаш, ке ти дадам сребро, колку што чини тоа.'
3. Но Навутеј му одговори на Ахава: 'Да ме чува Гсопод да ти го дадам наследството од татковците свои.'
4. Ахав се врати во домот свој возбуден и огорчен од зборовите, што му ги беше кажал Језреелецот Навутеј, велејки: зар да ти го дадам наследсвото од татковиците свои. Душевно збркан, легна на постелата своја, си го сврти лицето и не јадеше леб.
5. При него влезе жена му Јазавела и му рече: 'Зошто си збркан со духот, па и леб не јадеш?'
6. Тој и одговори: 'Кога му спомнав на Језреелецот Навутај и му реков: ‘дај ми го лозјето за сребро, или, ако сакаш, да ти дадам друго лозје место него‘, - тој ми одговори - не ти го давам лозјето свое, наследство од татковците мои.'
7. Тогаш жена му Јазавела му рече: 'Какво царство ке биде во Израилот, ако ти постапуваш така? Стани, јади леб и биде спокоен; јас ке го земам лозјето од Језреелецот Навутеј.'
8. И таа напиша писма од името на Ахава, ги запечати со неговиот печат и ги испрати до старешините и големците што живееја со Навутеја, во градот негов.
9. Во писмата таа пишуваше вака: 'Објавете пост и поставете го Навутеја пред народот;
10. и спроти него ставете двајца лоши лу е, што ке сведочат против него и да кажат: ‘Ти хулеше на Бога и на царот.‘ И потоа изведете го и убијте го со камења, та да умре.'
11. Тогаш мажите на неговиот град, старешините и големците, што живееја во градот негов, направија како што им заповеда Јазавела, така, како што беше напишано во писмото, што го беше испратила до нив.
12. Објавија пост и го поставија Навутеја пред народот;
13. па излегоа двајца лоши лу е, седнаа спроти него и сведочеа против него пред народот и велеа: 'Навутеј хули на Бога и на царот.' Па го изведоа надвор од градот, го убија со камења, и тој умре.
14. Испратија да и кажат на Језавела: 'Навутеј е убиен со камења и умре.'
15. Кога чу, дека Навутеј е убиен со камења и умрел, Језавела му рече на Ахава: 'Стани и завладеј со лозјето на Језреелецот Навутеја, кој не сакаше да ти го даде за сребро, бидејки Навутеја го нема ме у живите, тој умрел.'
16. Кога чу, дека Језреелецот Навутеј бил убиен, Ахав ја раскина облеката своја, стави врекиште врз себе, а потоа стана и отиде во лозјето на Језреелецот Навутеј и го завладеа.
17. Тогаш би словото Господово кон Тесвитецот Илија:
18. 'Стани и пресретни го израилскиот цар Ахава, кој е во Самарија, - ете, сега е во лозјето на Навутеја, каде што дошол да завладее, -
19. и кажи му: вака вели Господ: ‘ти си убил, и уште стапуваш во наследство!‘ И кажи му: 'Вака вели Господ: ‘на она место, каде што кучињата ја лижеа Навутеевата крв, кучињата ке ја лижат и твојата крв.‘'
20. Ахав му рече на Илија: 'Ти ме најде, мој непријателе!' Тој рече: 'Те најдов, бидејки ти се оддаде да го вршиш она што е нугворно пред очите на Господа и да Го гневиш.
21. Вака вели Господ: ете, ке ти испратам казна, ке исчистам се по тебе и ке го истребам кај Ахава и она што мокри до ѕид, и што е затворено и изоставено во Израилот;
22. и ке постапам со твојот дом така, како што постапив со домот на Навутеевиот син Јеровоам и со домот на Ахиевиот син Васа, за наскрбувањето, со што ти ме раздразни и го наведе во грев Израилот.'
23. И за Језавела Господ рече: 'Кучињата ке ја изедат Језавела зад Језреелските ѕидови;
24. и кој од Ахавовиот дом ке умре во градот, него кучињата ке го изедат, а кој ке умре во

полето, него птиците небески ќе го исколваат;
25. уште немало таков како Ахава, што да се оддава да го врши она што е нугодно пред очите на Господа, за кое го советуваше жена му Језавела;
26. тој постапуваше многу гнасно, следејќи ги идолите, како што правеа Аморејците, кои Господ, ги изгони од пред лицето на Израилевите синови.'
27. Откако ги ислуша сите тие зборови, Ахав се умилкуваше пред Господа, одеше, и плачеше, ја раскина облеката своја, го покри телото свое со врекиште, постеше и спиеше во врекиште и одеше нажален.
28. И би слово Господово кон Илија Тесвитецот за Ахава. И Господ рече:
29. 'Виде ли, како се смири Ахав пред Мене? Затоа што се смири пред Мене, Јас нема да му испратам зло во неговите дни, туку во дните на синот негов ќе пратам зло врз неговиот дом.'

Глава 22

1. Изминаа три години, без војна ме у Сирија и Израил.
2. На третата година јудејскиот цар Јосафат отиде при израискиот цар.
3. Израилскиот цар им кажа на слугите свои: 'Знаете ли, дека Рамот Гладски е наш? А ние толку долго молчиме и не го земаме од рацете на сирискиот цар.'
4. И му рече на Јосафата: 'Ќе појдеш ли со мене во војна против Рамот Галадски?' Јосафат му одговори на израилскиот цар: 'Како што одиш ти, така и јас; како твојот народ, така и мојот народ; како твоите коњи, така и моите.'
5. Јосафат уште му рече на израилскиот цар: 'Прашај денес што ке каже Господ.'
6. Израилскиот цар ги собра тогаш пророците - до четиристотини души - и ги праша: 'Да одам ли во војна против Рамот Галадски, или не?' Тие одговорија: 'Оди, Господ ке го предаде во рацете на царот.'
7. Јосафат праша: 'Нема ли тука уште некој пророк Господов, та преку него да Го прашаме Господа?'
8. Израилскиот цар му одговори на Јосафата: 'Има уште еден човек, преку кого можеме да го прашаме Господа, но јас не го сакам него, зашто не пророкува за мене добро, туку само зло, - тој е Јемвлаевиот син Михеј.' Јосафат рече: 'Цару не говори така.'
9. Израилскиот цар повика еден дворјанин и рече: 'Оди поскоро по Јемвлаевиот син Михеј!'
10. Израилскиот цар и Јосафат, јудејскиот цар, седеа секој на своето седиште, облечени во царска облека, на плоштадот пред портите на Самарија, и сите пророци пророкуваа пред нив.
11. Хенановиот син Седекија си направи железни рогтови и рече: 'Вака вели Господ: со овие ке ги избодеш Сириците, дедека да ги истребиш.'
12. И сите пророци го пророкуваа истото, велејки: 'Оди против Рамот Галадски; ке има успех; Господ ке го предаде во рацете на царот.'
13. Испратениот, кој беше отишол да го повика Михеја, му рече: 'Еве, зборовите на пророците едногласно му претскажуваат добро на царот; и твојот збор нека биде согласен со зборот на секој од нив; искажи и ти добро.'
14. Михеј одговори: 'Жив ми Господ! Ќе го кажам она, што ке ми каже Господ.'
15. Кога дојде при царот, овој го праша: 'Михеј, да одиме ли во војна против Рамот Галадски, или не?' А тој му одговори: 'Оди, ке има успех; Господ ке го предаде во рацете на царот.'
16. Тогаш царот му рече: 'Пак ли да те заколнувам да не говориш ништо, освен вистината во името на Господа?'
17. Тој одговори: 'Ги гледам сите Израилци распрснати по горите како овци, кои немаат пастир, зашто Господ рече: ‘господар немаат; секој нека се врати со мир во домот свој.‘'
18. Израилскиот цар му рече на Јосафата: 'Нели ти реков, дека тој не пророкува добро за мене, туку само лошо?'
19. А Михеј одоговори и рече: 'Не така, ислушај го словото Господово; Го видов Господа како седи на Својот престол, и целата небесна војска стоеше при Него десно и лево;
20. и Господ рече: кој ке го наговори Ахава да оди и да падне во Рамот Галадски? И еден велеше вака, а друг инаку;
21. еден дух, пак, истапи, застана пред лицето на Господа и рече: ‘јас ке го склонам!‘ И еден велеше вака, а друг инаку;
22. Тој одговори: ‘ке излезам и ке стана лажливиот дух во устата на сите негови пророци.‘ Господ рече: ‘ти ке го наговориш и ке го исполниш тоа;‘ оди и направи така.'
23. И, ете, Господ сега допушти лажлив дух во устата на сите тие твои пророци; но Господ искажа за тебе лошо.'
24. А Хенановиот син Седекија се доближи, го удри Михеја по устата, и рече: 'Како, зар излезе од мене Духот Господов, за да говори во тебе?'
25. Михеј одговори: 'Ете, ти ке го водиш тоа во оној ден, кога ке бегаш од една соба во друга, за да се сокриеш.'

26. Тогаш израилскиот цар рече: 'Земете го Михеја и одведете го при градоначалникот Амон и при царскиот син Јоаса.
27. И кажете: вака вели царот: 'Затворете го овој во темницата и хранете го скудно со леб и скудно со вода, додека не се вратам со мир.'
28. А Михеј рече: 'Ако се вратиш со мир, тогаш Господ не зборувал преку мене.' И рече: 'Чујте, сите лу е!'
29. Потоа израилскиот цар и Јосафат, јудејскиот цар, тргнаа за Рамот Галадски.
30. Израискиот цар му рече на Јосафата: 'Јас ке се преоблечам и ке влезам во борба, а ти облечи си ги царските алишта. И израилскиот цар се преоблече и влезе во борба.
31. А Сирскиот цар им заповеда на војводите над колите, на број беа триесет и двајца, велејки: 'Не бијте се ниту со мал, ниту со голем, туку само со израилскиот цар.'
32. Војводите над колите кога го видоа Јосафата, помислија, бездруго, тоа е израилскиот цар, и се свртеа против него, за да се удрат со него. Но Јосафат почна да вика.
33. И војводите над колите кога видоа дека тој не е израилскиот цар, се иставија од него.
34. А еден човек случајно го запна лакот и го рани израилскиот цар низ шевовите на околопот. А царот му рече на својот колар: 'Врти назад и извади ме од војската, бидејки сум ранет.'
35. Но во тој ден борбата се засили, и царот стоеше во колата спроти Сирците, а вечерта умре; крвта од раката се слеваше по колата.
36. И при зајдисонце беше објавено по целиот логор: секој да си оди во градот свој, секој - во земјата своја.
37. Така умре царот и беше донесен во Самарија, и го погребаа царот во Самарија.
38. Колата ја измија на Самарискиот извор, каде што се миеја блудниците, и кучињата ја лижеа крвта негова, според словото на Господа, кое Он го изрече.
39. Другите дела на Ахава и се што беше направил, и куката од слонова коска, што ја изгради, и сите градови што ги изгради, се опишано во летописите на израилските цареви.
40. Ахав почина при татковците свои, а место него стана цар синот негов Охозија.
41. Јосафат, синот на Аса, стана цар над Јудеја во четвртата година на израилскиот цар Ахава.
42. Јосафат беше на триесет и пет години, кога стана цар, и царуваше во Ерусалим дваесет и пет години. Мајка му се викаше Азува, Салаилева керка.
43. Во се тој врвеше по патот на татка си свој Аса, не се отклонуваше од него, вршејки го она што не беше угодно пред очите на Господа.
44. Само, високите места не беа отстранети, народот уште принесуваше жртви и кадеше на високите места.
45. Јосафат склучи мир со израилскиот цар.
46. Другите дела на Јосафата и подвизите негови, што ги изврши, и како војувал, се опишани во летописите на јудејските цареви.
47. И сите блудници што беа останале од времето на татка му Аса, тој ги истреби од земјата.
48. Во Идумеја тогаш немаше цар; имаше царски намесник.
49. Царот Јосафат изгради кораби на морето, за да оди во Офир по злато; но тие не стигнаа до таму, бидејки се разбија во Есион-Гавер.
50. Тогаш Охозиј, синот Ахавов, му рече на Јосафата: 'Моите слуги нека тргнат со твоите слуги на бродовите.' Ама Јосафат не го прифати тоа.
51. Јосафат почина со своите татковци, и беше погребан во градот на давида, својот прататкo. На негово место се зацари неговиот син Јорам.
52. Охозиј, синот Ахавов, стана цар на Израел во Самарија, во седумнаесеттата година на Јосафатовото царување во Јудеја, и царуваше две години над Израел.
53. Тој правеше што е зло во Господовите очи, и одеше по патот на својот татко и по патот на својата мајка, и по патот на Јеровоам, синот Наватов, кој го наведуваше Израел на грев.
54. Му служеше на Ваала и му се поклонуваше. Го разгневуваше Господа, Израелевиот Бог, сосем онака како што правеше неговиот татко.

# 2 Цареви

Глава 1

1. По смртта на Ахава, Моав се одметна од Израилот.
2. А Охозиј падна низ прозорската решетка на својата горна соба, која е во Самарија, и се разболе. Па испрати пратеници и им рече: 'Одете, прашајте го Веелзевула, акаронското божество: ке оздравам ли од оваа болест?' И тие отидоа да прашаат.
3. Тогаш Ангел Господов му кажа на Илија Тесвитецот: 'Стани, пресретни ги пратениците на самарискиот цар и кажи им: ‘Зар во Израилот нема Бог, та сте тргнале да го прашате Веелзевула, акаронското божество?‘
4. Затоа вака вели Господ: ‘Од постелата на која си легнал, нема да станеш, туку ке умреш‘'. И отиде Илија и им кажа.
5. Се вратија пратениците при Озохија. И тој ги праша: 'Зошто се вративте?'
6. Тие му одговорија: 'Не пресретна еден човек и ни рече: 'Одете, вратете се при царот, кој ве испратил, и кажете му: вака вели Господ: ‘зар во Израилот нема Бог, та испракаш да го прашаш Веелзевула, акаронското божество?‘ Затоа од посталата на која си легнал, нема да станеш, туку ке умреш.'
7. Тој ги праша: 'Каков беше на изглед оној човек, што ве пресретна и ви ги кажа тие зборови?'
8. Тие му одговорија: 'Тој човек целиот беше со влакна и беше опашан преку половината со кожен појас.' Тој рече: 'Тоа е Илија Тесвитецот.'
9. Тогаш испрати царот при него педесетник со неговите педесетмина. И тој се искачи при него, кога Илија седеше на врвот од горката, и му рече: 'Човеку Божји, царот нареди да слезеш.'
10. Одговори Илија и му рече на педесетникот: 'Ако сум јас човек Божји, нека падне оган од небото и да те изгори тебе и твоите педесетмина.' И падна оган од небото и го изгори него и неговите педесетмина.
11. Царот испрати друг педесетник со неговите педесетмина. И тој му проговори и рече: 'Човеку Божји, вака вели царот: ‘Слези поскоро!‘'
12. Илија одговори и му рече: 'Ако сум јас човек Божји, нека падне оган од небото и да те изгори тебе и твоите педесетмина'. И падна оган Божји од небото и го изгоре него и неговите педесетмина.
13. Царот испрати по третпат педесетник со неговите педесетмина. Третиот педесетник стана, та дојде, и падна на коленици пред Илија, го молеше и му зборуваше: 'Човеку Божји, да не биде презрена душата моја и душата на твоите слуги - овие педесетмина - пред твоите очи;
14. Ете, падна оган од небото и ги изгоре двајцата претходни педесетници со нивните педесетмина; но сега да не биде презрена душата моја пред твоите очи!'
15. Тогаш му рече Ангелот Господов на Илија: 'Оди со него и не плаши се од него.' И тој стана, та отиде со него при царот.
16. И му рече: 'Вака вели Господ: ‘Поради тоа што испрати пратеници да го прашаат Веелзевула, акаронското божество, како да немаше во Израилот Бог да Го прашаш за словото Негово, - ти нема да станеш од леглото, на кое си легнал, туку ке умреш.'
17. И тој умре според словото Господово, што го изрече Илија. И стана цар Јорам, братот на Охозија, место него, во втората година на Јорама, син Јосафатов, цар јудејски, бидејки оној немаше син.
18. Другото за Охозија, она што го извршил тој, е опишано во летописите на израилските цареви.

Глава 2

1. Во она време, кога Господ сакаше да го вознесе Илија на небото во виор, Илија со Јелисеја доа аше од Галгал.
2. И му рече Илија на Јелисеја: 'Остани тука, зашто Господ ме испрака во Ветил.' Но Јелисеј рече: 'Жив Господ и жива ти душа! Нема да те оставам.' И отидоа во Ветил.
3. И излегоа при Јелисеја синовите пророчки, што беа во Ветил, и му рекоа: 'Знаеш, ли дека денес Гсопод ке го вознесе твојот господар над главата твоја!' Тој одговори: 'И јас знам, молчете.'
4. И му рече Илија: 'Јелисее, остани тука, зашто Господ ме испрака во Јерихон.' А тој рече: 'Жив Господ и живе ти душа! Нема да те оставам.' И дојдоа во Јерихон.
5. Тогаш се приближија синовите пророчки, што беа во Јерихон, и му рекоа: 'Знаеш ли, дека денес Господ го зема твојот господар и ке го вознесе над главата твоја?' Тој одговори: 'И јас знам, молчете.'
6. Пак му рече Илија на Јелисеја: 'Остани тука, зашто Господ ме испрака во Јордан. А тој рече: 'Жив Господ и жива ти душа! Нема да те оставам.' И тргнаа обајцата.
7. Педесет души од синовите пророчки тргнаа и застанаа подалеку спроти нив, а тие двајца стоеја при Јордан.
8. Тогаш го зеде Илија кожувот свој, го свитка и удри со него по водата, и таа се раздели на две страни, па така и двајцата минаа по суво.
9. Кога минаа, Илија му рече на Јелисеја: 'Барај, што сакаш да ти направам, пред да бидам земен од тебе.' Јелисеј одговори: 'Духот, кој е во тебе, да биде двојно во мене.'
10. А тој рече: 'Бараш нешто многу тешко; ако видиш, како ке бидам земен од тебе, така ке ти биде; ако, пак, не видиш, нема да ти биде.'
11. Како што одеа и си разговараа по патот, наеднаш се појави огнена кола и огнени коњи, и ги раздвоија еден од друг, и Илија се понесе во виорот кон небото.
12. А Јелисеј гледаше и извика: 'Оче мој, оче мој, кола на Израилот и негова коњица!' И веке не го виде. Па ја фати облеката своја, и ја раскина на две парчиња.
13. И го крена тој кожувот на Илија, што беше паднал од него, па се врати и се запре крај брегот на Јордан;
14. го зеде кожувот на Илија, што беше паднал од него, удри со него по водата, и рече: 'Каде е Господ, Бог Илиев? Он Самиот?' И удри по водата, а таа се раздели на две страни, и Јелисеј помина.
15. И го видоа од далеку синовите пророкови, што беа во Јерихон и рекоа: 'Илиевиот дух слезе врз Јелисеја.' Му излегоа во пресрет и му се поклонија до земја.
16. И му рекоа: 'Ете, во нас, твоите слуги, има педесет души силни мажи; нека одат тие да го побараат господарот твој; можеби, Духот Господов го однел и го фрлил на некоја гора, или во некој дол.' А тој рече: 'Немојте да испракате!'
17. Но тие настојуваа пред него многу, та му здодеаја, па им рече: 'Испратете!' И испратија педесет души, кои бараа три дена, но не го најдоа,
18. и се вратија при него, додека тој беше во Јерихон; и тој им рече: 'Нели ви говорев: не одете!'
19. Тогаш жителите на градот му кажаа на Јелисеја: 'Ете, како што гледаш, господару, положбата на овој град е добра; но водата е лоша и земјата е бесплодна.'
20. А тој рече: 'Дајте ми нова чаша и турета во неа сол.' И му дадоа.
21. Тој отиде при изворот на водата, ја фрли во неа солта и рече: 'Вака вели Господ: ‘Јас ја направив здрава таа вода; и во иднина нема да доа а од неа ни смрт, ни бесплодност.‘'
22. И водата остана здрава до денес, според зборот, што го кажа Јелисеј.
23. Оттаму тој отиде во Ветил. Кога одеше по патот, мали деца излегоа од градот, му се потсмеваа и му велеа: 'Врви, келавко! Врви, келавко!'
24. Тој се сврти, ги виде и ги проколна во името Господово. Тогаш излегоа од гората две мечки

и раскинаа од нив четириесет и две деца.
25. Оттука отиде на гората Кармил, а оттаму се врати во Самарија.

Глава 3

1. Јорам, синот Ахавов, стана цар над Израилот во Самарија во осумнаесеттата година на јудејскиот цар Јосафат и царуваше дваесет години.
2. Тој вршеше она што беше неугодно пред очите на Господа, макар и не така, како татко му и мајка му, зашто ја собори статуата на Ваала, што беше ја напарвил татко му;
3. при сето тоа тој остана во гревовите на Јеровоама, Наватовиот син, што беше го навел на грев Израилот, и не отстапуваше од нив.
4. Моавскиот цар Моса имаше многу добиток и му испракаше на израилскиот цар по сто иљади овци и по сто иљади неистрижени овни.
5. Но, штом умре Ахав, моавскиот цар се одметна од израилскиот цар.
6. Во она време царот Јорам излезе од Самарија и ги преброи сите Израилци,
7. па отиде и испрати да му кажат на јудејскиот цар Јосафата: 'Моавскиот цар се одметна од мене; одиш ли со мене во војна против Моава?' Тој одговори: 'Одам; како што ке отидеш ти, така и јас, како твојот народ, така и мојот народ, како твоите коњи, така и моите коњи.'
8. И рече: 'По кој пат да одам?' Тој рече: 'По патот низ Едомската пустиња.'
9. И тргнаа израилскот цар, јудејскиот цар и едомскиот цар, и одеа по заобиколен пат седум дена, и немаше вода за војската и за добитокот, што одеше по нив.
10. Тогаш рече израилскиот цар: 'Ах! Господ ги изведе овие тројца цареви, за да ги предаде во раката на Моава.'
11. Но Јосафат рече: 'Нема ли тука пророк Господов, па преку него да го прашаме Господа?' Одговори еден од слугите на израилскиот цар и рече: 'Тука е Јелисеј, Сафатовиот син, кој полеваше вода на Илиевите раце.'
12. И рече Јосафат: 'Во него има слово Господово.' И отидоа при него израилскиот цар и Јосафат и едомскиот цар.
13. И му рече Јелисеј на израилскиот цар: 'Што имаш ти со мене! Оди кај пророците на татковците свои и кај пророците на мајка си своја.' И му кажа израилскиот цар: 'Не, зашто Господ ги изведе овде овие тројца цареви, за да ги предаде во раката на Моава.'
14. И рече Јелисеј: 'Жив Господ Саваот, пред Кого стојам! Ако не го почитував Јосафата, јудејскиот цар, не би те погледнал и не би те видел;
15. туку повикајте ми гуслар.' И кога гусларот свиреше на гуслата, тогаш раката Господова се допре до Јелисеја,
16. и тој рече: 'Вака говори Господ: ‘Направете ја оваа долина јама до јама;
17. зашто вака вели Господ: нема да видите ветар и нема да видите дожд, а оваа долина ке се наполни со вода, од која ке пиете вие и ситниот и крупниот добиток ваш;
18. но тоа е малку пред очите на Господа: Он и Моава ке го предаде во рацете ваши,
19. и ке ги поразите сите укрепени градови и сите главни градови, и ке ги исечете сите добри дрвја, и ке ги запрете сите извори, и сите добри ниви и ке ги затрупате со камења.'
20. Утредента, кога се вознесуваше лебен принос, наеднаш потече вода по патот од Едом, и земјата се наполни со вода.
21. Кога слушнаа Моавците, дека царевите доа аат да војуваат со нив, беа собрани сите, што носат појас и постари, па застанаа на границата.
22. Изутрината станаа рано, кога сонцето изгреа над водата; на Моавците таа вода оддалеку им се прични црвена како крв.
23. И тие рекоа: 'Тое е крв; се степале царевите ме у себе и се истребиле еден со друг. А сега на плен, Моаве!'
24. И тие дојдоа до израилскиот логор. Станаа Израилците и фатија да ги поразуваат Моавците, кои почнаа да бегаат од нив, а тие продолжуваа да налетуваат врз нив и да ги поразуваат.
25. И ги разрушија градовите, и во секоја добра нива секој фрли по еден камен, и ја наполнија, и сите водни извори ги затрупаа, и сите плодни дрвја ги исекоа, така што во Кир-Харамет

останаа само камења. И го заобиколија праккашите и го разрушија.
26. Тогаш моавскиот цар виде дека ја губи битката, и зеде со себе седумстотини души, кои ракуваа со меч, за да се пробијат кон едомскиот цар, но не можеа.
27. И тој го зеде својот првороден син, кому му се па аше да царува место него, и го принесе како жртва сепаленица врз ѕидот. Тоа предизвика големо негодување кај Израилците, и тие се повлекоа од него и се вратија во земјата своја.

Глава 4

1. Една од жените на пророчките синови со плачење му говореше на Јелисеја: 'Твојот слуга, мажот мој, умре; а ти знаеш, дека твојот слуга се плашеше од Господа; сега дојде заемодавачот да ги земе двете мои деца за робје.'
2. Јелисеј и рече: 'Што да направам за тебе? Кажи ми што имаш дома?' Таа одговори: 'Слугинката твоја ништо нема во домот свој, освен еден сад со масло.'
3. А тој рече 'Оди и побарај садови однадвор, од сите твои соседи, празни садови; собери доволно,
4. потоа оди и затвори ја вратата зад себе и зад синовите свои и налевај во сите тие садови; полните ставај ги настрана.'
5. Таа си отиде од него и ја затвори вратата зад себеси и зад синовите сови. Тие и подаваа, а таа налеваше.
6. Кога беа наполнети садовите, таа му рече на синот свој: 'Дај ми уште еден сад.' Тој и рече: 'Нема повеке садови.' И маслото престана да тече.
7. Таа дојде и му раскажа на Божјиот човек. Тој и рече: 'Оди, продај го маслото и исплати ги долговите свои; а со тоа, што ке остане, ке живееш со синовите свои.'
8. Еден ден Јелисеј отиде во Сонам. Таму една богата жена го покани во домот свој да јаде леб, и тој, секогаш кога ке минеше, навратуваше таму да јаде леб.
9. Таа му рече на мажот свој: 'Ете, јас знам, дека Божјиот чвеок, кој постојано минува покрај нас, е свет;
10. да му направиме мала горна соба над ѕидот и да му ставиме таму легло и маса, и стол и светилник, та кога доа а кај нас, да се повлекува таму.'
11. Еден ден Јелисеј отиде таму, се качи во горната соба своја и си легна таму,
12. па му кажа на слугата свој Гиезиј: 'Повикај ја таа Сонамка.' Тој ја повика, и таа застана пред него.
13. И му рече: 'Кажи и: ‘ете, ти толку се грижиш за нас; што да направиме за тебе? Има ли потреба да му проговориме за тебе на царот, или на војводата!‘' Таа одговори: 'Не, јас живеам ме у народот свој.'
14. Јелисеј продолжи и рече: 'Тогаш што да направиме за неа?' И рече Гиезиј: 'Ете, таа нема син, а мажот нејзин е стар.'
15. И рече Јелисеј: 'Повикај ја.' Тој ја повика, и таа застана на вратата.
16. Јелисеј и рече: 'По една година, во ова исто време, ти ке држиш на раце син.' Таа рече: 'Не, господару мој, човеку Божји, немој да ја лажеш слугинката своја.'
17. И жената остана бремена и роди син на другата година, во она исто време, како што и кажа Јелисеј.
18. Детето порасна и еден ден отиде кај татка си, при жетварите.
19. И му кажа на татка си: 'Главата, главата ме боли.' А тој му рече на слугата свој: 'Одведи го кај мајка му!'
20. Го зеде и го одведе кај мајка му. И тоа седеше во скутот нејзин до пладне и умре.
21. Таа отиде и го положи во леглото на Божјиот човек, го затвори и излезе,
22. па го повика мажот свој и рече: 'Испрати ми еден од слугите и една од ослиците; ке одам кај Божјиот човек и ке се вратам.'
23. А тој ја праша: 'Зошто ке одиш при него? Денес не е нов месец, не е ни сабота.' Но таа рече: 'Добро е.'
24. И ја оседла ослицата и му кажа на слугата свој: 'Води и врви; не запирај додека не ти кажам.'
25. И тргнаа и дојдоа при Божјиот човек, на горатa Кармил. А кога Божјиот човек ја виде оддалку, му кажа на слугата свој Гиезија: 'Еве ја онаа Сонамка;
26. отрчај да ја пресретнеш и да ја прашаш: ‘здрава ли си, здрав ли е мажот нејзин, здраво ли е детето?‘' - Таа одгорови: 'Здрави сме.'

27. А кога дојде при Божјиот човек на горecho, се фати за нозете негови. И Гиезиј се доближи, за да ја отстрани; но Божјиот човек рече: 'Остави ја, душата и е огорчена, а Господ ја сокри од мене и не ми јави.'
28. И таа рече: 'Барав ли јас од мојот господар син? Не зборував ли: немој да ме лажеш?'
29. Тој тогаш му рече на Гиезија: 'Опаши се преку половината и земи го стапот мој во раката и врви; ако сретнеш некого, не го поздравувај; а ако некој те поздрави, не му одговарај; и стави го стапот врз лицето на детето!'
30. А мајката на детето рече: 'Жив Господ и жива ти душата! Нема да те оставам.' Тогаш и тој стана и тргна по неа.
31. Гиезиј отиде пред нив и го стави стапот врз лицето на детето. Но не се чу ни глас, ни одговор. И му излезе во пресрет, му соопшти и рече: 'Детето не се разбудува.'
32. И Јелисеј влезе во куката, и ете, умрено дете лежи на леглото негово.
33. И влезе, ја затвори вратата зад себе и му се помоли на Господа;
34. потоа се качи, легна врз детето, ја стави устата своја врз неговата уста, очите свои врз неговите очи, и дланките свои врз неговите дланки, и се простре врз него, и телото на детето се загреа.
35. Јелисеј стана и почна да оди по собата натаму - наваму; потоа пак се качи и се простре врз него. И детето кивна седумпати и ги отвори очите свои.
36. И тој го повика Гиезија и му рече: 'Повикај ја Сонамката!' И тој ја повика. Таа дојде при него, и тој рече: 'Земи си го синот свој!'
37. Таа се доближи, падна пред нозете негови и се поклони до земја; потоа го зеде синот свој и излезе.
38. А Јелисеј се врати во Галгал. Во таа земја имаше глад, и синовите пророчки седеа пред него. И тој му кажа на слугата свој: 'Стави го големиот котел и свари лека за пророчките синови.'
39. И излезе еден од нив во полето да собира зелен; најде еден корен од дива лоза, и набра од неа полн скут диви плодови; се врати и ги стави во котелот со лека, зашто не ги познаваше.
40. Им поставија да јадат. Но штом почнаа да ја јадат леката, извикаа и велеа: 'Смрт има во котелот, човече Божји!' И не можеа да јадат.
41. А тој рече: 'Дајте брашно!' И го истури во котелот и му рече на Гиезија: 'Стави им на лу ето, нека јадат.' И во котелот не остана ништо отровно.
42. Дојде некој си од Ветарис и му донесе на Божјиот човек лебна првина - дваесет јачмени лепчиња и млади зрна во класови. И рече Јелисеј 'Дај им на лу ето да јадат.'
43. И рече слугата негов: 'Што ке им дадам на сто души?' А тој рече: 'Дај им да лу ето, нека јадат, зашто така вели Господ: ке се наситат, и ке остане.'
44. Тој им даде, и тие се наситија, и остана уште, според словото Господово.

Глава 5

1. Нееман, војвода на сирскиот цар, беше голем чвеок пред господарот свој и почитуван, зашто преку него Господ им беше дал победа на Сиријците; и тој човек беше одличен војник, но лепрозен.
2. Еднаш Сиријците излегоа во чети и запленија од Израилската земја едно мало девојче, и тоа и служеше на Неемановата жена.
3. Таа и рече на господарката своја: 'О, да отидеше мојот господар при пророкот, кој е во Самарија, тој ке ја симнеше од него лепрата.'
4. Тогаш Нееман отиде и му го кажа тоа на господарот свој, велејки: 'Така и така вели девојчето, што е од Израилската земја.'
5. И сирскиот цар му рече на Неемана: 'Стани, оди, јас пак, ке испратам писмо до израилскиот цар.' Тој отиде, земјаки со себе десет таланти сребро, шест иљади сикли злато и десет промени облека;
6. и му го однесе на израилскиот цар писмото, во кое се велеше: 'Заедно со ова писно, ете, го испракам при тебе Неемана, мојот слуга, да ја симнеш од него лепрата негова.'
7. Израилскиот цар, откако го прочита писмото, ја раскина облеката своја и рече: 'Зар сум јас Бог, да умртвувам и да оживувам, та испрака при мене да ја симнам од овој човек лепрата негова? Ете, знаете сега и гледајте, дека тој бара повод за непријателство против мене.'
8. Кога Божјиот човек Јелисеј чу, дека израилскиот цар ја раскинал облеката своја, испрати да му речат на царот: 'Зошто ја раскина облеката своја? Нека дојде при мене и нека познае, дека има пророк во Израилот.'
9. И дојде Нееман со коњите свои и со колите свои и застана пред влезот на Јелисеевиот дом.
10. Тогаш Јелисеј го испрати при него слугата свој да му каже: 'Оди, искапи се седумпати во Јордан, и телото твое ке се обнови, и ке бидеш чист.'
11. Се разгневи Нееман и си тргна, велејки: 'Ете, јас мислев, дека тој ке излезе, ке застане и ке го повика името на Господа, својот Бог, ке ја стави раката своја на местото и ке ја симне лепрата;
12. зар дамаските реки Авана и Фарфар не се подобри од сите израилски води? Не можев ли да се искапам во нив и да се исчистам?' Па се сврти и си отиде налутен.
13. Му се доближија слугите негови и му рекоа, велејки: 'Оче, да беше ти кажал пророкот нешто тешко, немаше ли да го направиш. А камо ли сега, кога ти рече само: искапи се, и ке бидеш чист!'
14. Тој отиде и се потопи во Јордан седумпати, според зборовите на Божјиот човек, и телото му се обнови како тело на мало дете и се исчисти.
15. Тогаш се врати при Божјиот човек, тој и сите придружници негови, дојде, застана пред него и рече: 'Еве, познав, дека по целата земја нема Бог, освен во Израилот; прими, пак сега дар од твојот слуга.'
16. Јелисеј одговори: 'Жив Господ, пред чие лице стојам! Не примам.' Оној го принудуваше да земе, но тој не се согласи.
17. И рече Нееман: 'Штом е така, нека му дадат на твојот слуга земја, колку што можат да носат две маски, зашто во иднина слугата твој нема да принесува сепаленици и жртви на други богови, освен на Господа;
18. само, еве што да ми прости Господ на слугата твој: кога мојот господар оди во домот на Римона, за да се поклони таму и се потпре врз раката моја, и јас се поклонам во домот на Римона, тогаш Господ да му прости на слугата твој за поклонувањето мое во домот на Римона.'
19. А тој му рече: 'Оди си со мир!' И тој отиде од него и прилично се оддалечи.
20. Тогаш Гиезиј, слугата на Божјиот човек Јелисеја рече: 'Ете, мојот господар не сакаше да го земе од раката на тој сирец Нееман, она што го беше донел. Жив Господ! Ке потрчам по него и ке земам нешто од него.'
21. И потрча Гиезиј по Неемана. Нееман виде, дека некој трча по него, слезе од колата да го

пресретна и рече: 'Дали си со мир?'
22. Тој одговори: 'Со мир сум; мојот господар ме испрати да кажам: ете, сега дојдоа при мене од Ефремовата гора две момчиња од пророчките синови; дај ми еден талант сребро и две промени облека.'
23. И Нееман рече: 'Земи, ако сакаш, два таланта.' И многу го молеше. Тогаш тој заврза два таланта сребро во две торби и две промени облека и им ги даде на двајцата слуги свои, та ги понесоа пред него.
24. Кога тој дојде до брегот, ги зеде од рацете нивни и ги сокри во домот свој. И ги отпушти лу ето, и тие си отидоа.
25. Кога дојде и се јави пред господарот свој, Јелисеј го праша: 'Од каде доа аш, Гиезиј?' Тој одговори: 'Никаде не одел слугата твој.'
26. Тој му рече: 'Зар срцето мое не те придружуваше, кога оној човек се врати од колата своја да те пресретне? Време ли е да се земе сребро и да се зема облека, или маслинови дрвја и лозја, ситен или крупен добиток, слуги или слугинки?
27. Затоа, Неемановата лепра нека се залепи на тебе и на потомството твое засекогаш.' И тој излезе од него бел како снег од лепрата.

Глава 6

1. Тогаш пророчките синови му кажаа на Јелисеја: 'Ете, местото каде што живееме при тебе, е тесно за нас;
2. да одиме до Јордан, да земеме оттаму секој по една греда и да си направиме таму живеалиште.' Тој им рече: 'Одете!'
3. А еден од нив рече: 'Направи ни милост, дојди и ти со слугите твои.' Тој одговори: 'Ќе дојдам.'
4. И тргна со нив, дојдоа до Јордан и почнаа да сечат дрвја.
5. И кога еден соборуваше греда, секирата му падна во водата. Тој извика и рече: 'Ах, господару! А таа беше земена на заем!'
6. Божјиот човек запраше: 'Каде падна таа?' Тој му го покажа местото. Тогаш Јелисеј исече парче дрво, па го фрли таму, и секирата исплива.
7. Тогаш му рече: 'Земи си ја.' Тој ја спружи раката и ја зеде.
8. Сирискиот цар тргна во војна против Израилците и се советуваше со слугите свои, велејки: 'Во тоа и тоа место ке го поставиме својот логор.'
9. Божјиот човек испрати да му кажат на Израилскиот цар: 'Внимавај да не минуваш преку она место, зашто таму Сиријците се во заседа.'
10. И Израилскиот цар испрати разузнавачи, на тоа место, за кое му порача Божјиот човек, и се пазеше; и се зачува оттаму не еднаш и не двапати.
11. И му се вознемири срцето на сирискиот цар порати тоа, и тој ги повика слугите свои и им рече: 'Кажете ми, кој од нашите одржува врска со израилскиот цар?'
12. И рече еден од слугите негови: 'Никој, господару мој, цару; туку пророкот Јелисеј, кој е во Израилот, му ги соопштува на израилскиот цар и оние зборови, што ти ги говориш во спалната соба своја.'
13. Тогаш тој рече: 'Одете, дознајте, каде е тој, и јас ке испратам да го фатат.' И му соопштија и рекоа: 'Ете, тој е во Дотаим.'
14. И испрати таму коњи и коли и многу војска. Дојдоа ноке и го опколија градот.
15. Изутрината слугата на Божјиот човек стана и излезе. А тоа војската околу градот и коњи иколи. Слугата му рече: 'Тешко, господару! Што да правиме?'
16. Тој одговори: 'Не плаши се, зашто оние, што се со нас, се повеке од оние, што се со нив.'
17. Јелисеј се помоли и рече: 'Господи, отвори му ги очите да види.' И Господ му ги отвори очите на слугата, и тој виде, а тоа целата гора полна со коњи и огнени коли околу Јелисеја.
18. Кога Сиријците отидоа при него, Јелисеј му се помоли на Господа и рече: 'Порази ги со слепило. И Господ ги порази со слепило, според зборот на Јелисеја.
19. Јелисеј тогаш им рече: 'Не е тоа патот, не е тоа градот, одете по мене, јас ке ве одведам при оној, што го барате.' И ги одведе во Самарија.
20. Кога дојдоа во Самарија, Јелисеј рече: 'Господи, отвори им ги очите да видат.' И Господ им ги отвори очите, и видоа дека се среде Самарија.
21. Израилскиот цар, кога ги виде, го праша Јелисеја: 'Да ги убијам ли, оче мој?'
22. Но тој одговори: 'Не ги убивај. Зар со сабјата своја и со лакот свој ги зароби, та да ги убиваш? Дај им леб и вода; нека јадат и пијат, и да си одат при господарот свој.'
23. Тој им приготви голем обед, и тие јадеа и пиеја. Ги отпушти, и тие си отидоа при господарот свој. Оттогаш тие сириски ограбувачки групи не одеа веке во Израилевата земја.
24. Потоа сирискиот цар Адад ја собра целата војска своја, тргна и ја опседна Самарија.
25. И настана голем град во Самарија, кога ја опседнуваа, така што една ослешка глава се продаваше за осумдесет сикли сребро, и четврт каба гулабова кал - за пет сикли сребро.
26. Еднаш израилскиот цар одеше по ѕидот, и една жена му зборуваше со плачење: 'Помогни ми, господару мој, цару.'
27. Тој одговори: 'Ако Господ не ти помогне, од каде ке ти помогнам јас? Од гумното ли, од точилото ли?'

28. Ја праша уште царот: 'Што ти е?' А таа одговори: 'Оваа жена ми рече: ‘дај го твојот син да го изедеме денес, а мојот син ке го изедеме утре.‘
29. И го сваривме мојот син и го изедовме. На другиот ден јас и реков: ‘дај го и ти синот свој, да го изедеме.‘ Но таа го сокри синот свој.'
30. Царот, откако ги чу зборовите на жената, ја раскина облеката своја; и, одејки по ѕидот, народот виде, дека тој носи на самото тело свое врекиште.
31. И царот рече: 'Тоа и тоа да ми направи Бог и уште повеке да додаде, ако остане денес главата на Јелисеја, Сафатовиот син, на него.'
32. А Јелисеј седеше во домот свој, и старците седеа кај него. И испрати царот еден од своите слуги. Пред да дојде пратеникот при него, Јелисеј им рече на старците: 'Гледате ли дека тој, син на убиец, испрати да ми ја земат главата? Гледајте, кога ке дојде пратеникот, затворете ја вратата и притиснете го со вратата. А ете го и топотот на нозете на господарот негов по него!'
33. Додека уште говореше со нив, ете пратеникот пристигна при него, и му рече на Јелисеј: 'Ете какво зло од Господа! Што да чекаме во иднина од Господа?'

Глава 7

1. Тогаш Јелисеј рече: 'Чујте го словото Господово: Вака вели Господ: ‘утре во ова време една мера чисто брашно ќе чини една сикла, и две мери јачмен една сикла при портите на Самарија.‘'
2. А дворјанинот, врз чија рака се потпираше царот, му одговори на Божјиот човек и рече: 'Ако Господ отвореше дури и прозорци на небото, и тогаш ќе можеше ли да се случи такво нешто?' А тој рече: 'Ете, со очите свои ќе го видиш тоа, но не ќе јадеш од него.'
3. При влезот на портите имаше четворица лепрозни, и тие си говореа еден на друг: 'Зашто да седиме тука, очекувајќи ја смртта?
4. Ако сакаме да одиме во град, во градот има само глад, и таму ќе умреме; ако, пак, седиме тука, пак ќе умреме. Подобро да одиме во сирискиот логор: ако не остават живи, ќе живееме; ако не убијат, ќе умреме.'
5. И станаа во самрак, за да одат во сирискиот логор. И дојдоа до крајот на сирискиот логор, и ете, таму нема ниеден човек.
6. Зашто Господ беше направил така, што во сирискиот логор се чу топот од коли, ‘ржење на коњи, шум од голема војска. И Сирijците си беа рекле еден на друг: 'Навистина, израилскиот цар ги најмил против нас хетејските и египетските цареви, за да не избркаат.'
7. Затоа беа станале и избегале во темнината и ги оставиле шаторите свои, и коњите свои, и ослите свои - целиот логор, како што си бил, и беа избегале, за да се спасат.
8. И лепрозните дојдоа до крајот на логорот, влегоа во еден шатор, јадеа и пиеја, и зедоа оттаму сребро, и злато, и облека, па отидоа, та ги сокрија. Влегоа и во друг шатор, и оттаму зедоа плен, па отидоа и го сокрија.
9. И си рекоа еден на друг: 'Не правиме добро. Овој ден е ден за радосна вест; ако се забавиме и чекаме да се раздени, ќе бидеме виновни. Затоа да одиме и да соопштиме во царскиот дом.'
10. Дојдоа, ги повикаа царските вратари и им раскажаа, велејќи: 'Бевме во сирискиот логор, и ете, таму нема ни човек, ни глас човечки, туку само врзани коњи, и врзани осли, а шаторите, оставени како што си се.'
11. Вратарите извикаа и ја соопштија веста во самиот царски двор.
12. Преку ноќта царот стана и им кажа на слугите свои: 'Ќе ви кажам, што прават со нас Сирijците. Тие знаат, дека страдаме од глад, та излегле од логорот, да се сокријат во нивите, мислејќи вака: кога ќе излезат од градот, живи ќе ги фатиме и ќе навлеземе во градот.'
13. Одговори еден од слугите негови и му рече: 'Да земеме пет коњи, што се уште останаа во градот, зашто од сето израилско мноштво, само тоа остана во него, од целото множество на Израилците само тоа остана што не загина, та да испратиме и да видиме.'
14. И зедоа два впрегнати коња. И царот испрати по сириската војска, велејќи: 'Одете и видете!'
15. И одеа по нив до Јордан; а тоа, целиот пат беше посеан со облеки и други предмети, што Сирijците ги беа исфрлиле во брзото свое бегање. Се вратија пратениците и му јавија на царот.
16. Тогаш народот излезе и го разграби сирискиот логор, и една мера чисто брашно стана за сикла, и две мери јачмен - за сикла, според словото Господово.
17. И царот го остави при портите оној големец, врз чија рака се потпираше, и народот го притисна при портите, и тој умре, како што беше рекол Божјиот човек, што го кажа кога царот беше при него.
18. Кога Божјиот човек му беше зборувал на царот вака: 'Две мери јачмен за сикла, и една мера чисто брашно за сикла ќе биде утре во ова време пред портите на Самарија,'
19. тогаш тој големец му одговори на Божјиот човек и рече: 'Ако Господ дури и прозорци отвореше на небото, и тогаш можеше ли да биде такво нешто?' А тој му рече: 'Со очите свои ќе го видиш тоа, но нема да јадеш од него.'
20. Така и стана со него: и го изгази народот пред портите, и тој умре.

Глава 8

1. И и рече Јелисеј на жената, чиј син беше воскреснал: 'Стани и оди, ти и твојот дом и склони се таму, каде што можеш да поживееш, зашто Господ повика глад, и тој ке трае во оваа земја седум години.'
2. Стана таа жена, и постапи според зборот на Божјиот човек: отиде таа и нејзиниот дом, и живееше во филистејската земја седум години.
3. Откако изминаа седум години, се врати таа жена од Филистејската земја и дојде да го моли царот за куката своја и нивата своја.
4. Царот тогаш разговараше со Гиезиј, слугата на Божјиот човек, и му рече: 'Раскажи ми се што е позабележливо, што го извршил Јелисеј.'
5. А во тоа време, кога тој му раскажуваше на царот, дека Јелисеј оживеал еден умрен, - жената, чиј син беше воскреснат, го молеше царот за куката своја, и нивата своја. Тогаш Гиезиј рече: 'Господару мој, цару, таа е истата жена и овој е истиот син нејзин, кого Јелисеј го оживе.'
6. Царот ја праша жената, и таа му раскажа. И и даде царот еден од царедворците и рече: 'Да и се врати се што е нејзино и сите приходи од нивата, од оној ден, кога ја напуштила земјата, до сега.'
7. И дојде Јелисеј во Дамаск, кога сирискиот цар Адад беше болен. Му јавија на Адада и рекоа: 'Тука дојде Божјиот човек.'
8. Тогаш царот му рече на Азаила: 'Земи в рака дар и оди, пречекај го Божјиот човек и прашај го преку него Господа, велејки: ‘ке оздравам ли од оваа болест?‘'
9. Азаил отиде да го пречека и заде в рака дар и се што е најдобро во Дамаск, колку што можат да носат четириесет камили, па отиде и застана пред лицето негово и му рече: 'Твојот син Адад, сирискиот цар, ме испрати при тебе да прашам: ‘ке оздравам ли од оваа болест?‘'
10. Јалисеј му одговори: 'Оди и кажи му: ке оздравиш. Ме утоа, Господ му јави, дека тој ке умре.'
11. И го управи Јелисеј врз него погледот свој, а тој стоеше, додека оној се занесе; и заплака Божјиот човек.
12. И Азаил праша: 'Зошто плаче господарот мој?' А тој одговори: 'Затоа што знам, какво зло ке им направиш на Израилевите синови: тврдините нивни на оган ке ги предадеш, момците нивни со меч ке ги погубиш, цицалчињата нивни ке ги избиеш и непразните жени нивни ке ги расечеш.'
13. И му рече Азаил: 'Што е твојот слуга? Дали е куче та да може да направи така страшни работи?' Јелисеј му одговори: 'Господ ми го покажа во тебе царот на Сирија.'
14. Тој си отиде од Јелисеја и дојде при господарот свој. И тој го праша: 'Што ти зборуваше Јелисеј?' Тој одговори: 'Ми кажа дека ке оздравиш.'
15. На другиот ден, ме утоа, Азаил ја зеде завивката, ја натопи во вода и ја стави врз лицето негово, и царот умре. И наместо него стана цар Азаил.
16. По јудејскиот цар Јосафат, стана цар Јосафатиовиот син Јорам, цар јудејски - во петтата година на Ахавовиот син Јорам, цар израилски.
17. Тој беше на триесет и две години, кога стана цар, и царуваше осум години во Ерусалим;
18. и одеше по патот на израилските цареви, како што постапуваше Ахавовиот дом, бидејки Ахавовата керка му беше жена и го правеше она што не беше угодно пред очите на Господа.
19. Но, Господ не сакаше да го погуби Јуда, заради својот слуга Давида, зашто Он беше ветил да му даде светило ме у децата негови за сите времиња.
20. Во неговите дни Едом се измолкна од раката на Јуда и си постави цар.
21. И отиде Јорам во Саир, и сите коли со него; стана тој во една нок и ги порази Идумејците, што го опколуваа, и заповедниците на колите, но народот избега во шаторите свои.
22. И се спаси Едом од раката на Јуда до ден денес. Во исто време се измолкна и Ливна.
23. Другото за Јорама и се што извршил, е опишано во летописите на јудејските цареви.
24. И почина Јорам при татковците свои, и беше погребан при татковците свои во Давидовиот

град. А место него стана цар синот негов Охозиј.
25. Охозиј, син на јудејскиот цар Јорама, стана цар во данаесеттата година на Ахавовиот син Јорама, израилски цар.
26. Охозиј беше на дваесет и две години, кога стана цар, и царуваше една година во Ерусалим. А мајка му се викаше Готолија, кека на израилскиот цар Амвриј.
27. Тој одеше по патот на Ахавовиот дом и го правеше она што не беше угодно пред очите на Господа, како Ахавовиот дом, зашто беше во роднинство со Ахавовиот дом.
28. Тој отиде со Ахавовиот син Јорама во војна против сирискиот цар Азаил во Рамот Галадски, и Сиријците го ранија Јорама.
29. И царот Јорам се врати да се лекува во Језраел од раните, што му ги нанесоа Сиријците во Рамот, кога војуваше против сирискиот цар Азаил. И Охозија, Јорамовиот син, јудјски цар, дојде да го посети Ахавовиот син Јорама во Језраел, бидејќи беше болен.

Глава 9

1. Пророкот Јелисеј повика еден од пророчките синови и му рече: 'Препаши се околу половината, земи го в рака овој сад со елеј, па оди во Рамот Галадски;
2. кога ке дојдеш таму, најди го таму Јуја, синот на Јосафата, Намесиев син, пристапи и кажи му да излезе среде браката свои и воведи го во внатрешната соба;
3. тогаш земи го садот со елеј, излиј го врз главата негова и кажи: вака вели Господ: ‘Те помазувам за цар над Израилот.‘ Потоа отвори ја вратата, па бегај и не чекај.'
4. Момчето, слугата пророков, отиде во Рамот Галадски,
5. и стигна. И ете, војводите испоседнале, а тој рече: 'Имам нешто да ти кажам, војводо.' Јуј праша: 'На кого од сите нас?' Тој одговори: 'Тебе, војводо.'
6. Јуј стана и влезе в куки. И момчето го изли елејот врз главата негова и му рече: 'Вака вели Господ, Бог Израилев: ‘Те помазувам за цар над народот Господов, над Израилот,‘
7. и ти ке го истребиш домот на Ахава, твојот господар, за да одмаздам за крвта на Моите слуги - пророците, и за крвта на сите слуги Господови, паднати од раката на Језавела;
8. и ке изгине целиот дом Ахавов, и ке го истребам во Ахава се, и она што мокри до ѕид, и затворено, и изоставено во Израилот,
9. и ке го направам домот на Ахава како домот на Наватовиот син Јеровоама и како домот на Ахиевиот син Васа;
10. а Језавела кучиња ке ја изедат на Језраелското поле, и никој нема да ја погребе.' Па ја отвори вратата и избега.
11. И отиде Јуј при слугите на господарот свој, и тие му рекоа: 'Со мир ли? Зошто дојде тој безумник при тебе?' И им кажа: 'Вие го знаете тој човек и што зборуваше.'
12. И рекоа: 'Не е вистина, кажи ни.' А тој рече: 'Тоа и тоа ми кажа, велејки: вака вели Господ: ‘те помазувам за цар над Израилот.‘
13. Тогаш тие побрзаа и секој си ја зеде облеката своја, му послаа на пониските степеник, затрубија со труба и рекоа: 'Јуј стана цар.'
14. И стана Јуј, синот на Намесеивиот син Јосафат, против Јорама, а Јорам се нао аше со сите Израилци во Рамот Галадски на стража против сирискиот цар Азаил.
15. Во тоа време царот Јорам се беше вратил да се лекува во Језраел од раните, што му ги нанесоа Сиријците, кога војуваше против сирискиот цар Азаил. И Јуј им рече: 'Ако сте согласни со мене, никој нека не излегува од градот, за да оди да извести во Језраел.'
16. Јуј се качи на коњот и тргна за Језраел, каде што лежеше Јорам, царот израилски, за да се лекува од раните, што му ги беа нанеле Сиријците во Рамот, кога војуваше против силниот и мокниот сириски цар Азаил, и каде што беше дошол јудјскиот цар Охозиј, за да го посети Јорама.
17. На кулата во Језраел стоеше стражар, и го здогледа Јујевото мноштво, кога доа аше, и рече: 'Многу лу е гледам.' И Јорам му рече: 'Земи коњаник, одведи го во пресрет нивни и нека праша: ‘Со мир ли доа ате?‘'
18. И излезе коњаникот на коњ во нивни пресрет и рече: 'Вака вели царот: - со мир ли доа ате?' И одговори Јуј: 'Што ти е тебе - дали со мир доа ам? Тргнувај по мене.' И стражарот јави и рече: 'Стигна до нив, но не се врака.'
19. Испратија друг коњаник; тој отиде при нив и рече: 'Вака вели царот: - со мир ли доа аш?' И рече Јуј: 'Што ти е тебе - со мир ли доа ам? Тргнувај по мене.'
20. Стражарот пак јави и рече: 'Стигна до нив, но не се врака. А одот како да е на Намесиевиот син Јуј, зашто тој оди гордо.'
21. Јорам рече: 'Впрегнувај.' И ја впрегнаа колата негова. Излезе израилскиот цар Јорам и јудејскиот цар Охозиј, секој на коњите свои. Излегоа до го пресретнат Јуја, и се сретнаа со него во нивата на Јерзаелецот Навутеј.
22. Кога Јорам го виде Јуја, рече: 'Со мир ли, Јуј?' Тој одговори: 'Каков мир при блудството на мајка ти Јазавела и при многуте нејзини магии?'

23. Тогаш Јорам се сврте и избега, велејки му на Охозиј: 'Предавство, Охозиј!'
24. А Јуј го оптегна со раката лакот и го удри Јорама ме у плешките нагови, и стрелата го прободе срцето негово, и тој падна во колата своја.
25. Тогаш Јуј му рече на војводата свој Вадекар: 'Земи, та фрли го во нивата на Језраелецот Навутеј, зашто сети се кога ние со тебе одевме двајцата зад татка му Ахава, и како Господ изрече врз него вакво пророштво:
26. ‘Навистина јас ја видов вчера крвта на Навутеја и крвта на синовите негови, велеше Господ, и ке ти се одмаздам во таа нива.‘ И така, земи, та фрли го во нивата, според словото Господово.'
27. Јудејскиот цар Охозиј, кога го виде тоа, избега по патот кон куката, што беше во градината. И се спушти по него Јуј и рече: 'Удрете го и него во колата.' Тоа стана на ритчето Гур, близу до Јевлаам. И тој избега во Магедон, и таму умре.
28. Слугите нагови го пренесоа во Ерусалим и го погребаа во гробницата негова, при татковците негови, во Давидовиот град.
29. Во единаесеттата година на Ахавовиот син Јорама во Јудеја стана цар Охозиј.
30. Јуј пристигна во Језраел. А Језавела, откако доби известување, стави црвило на лицето свое, ја накити главата своја и гледаше низ прозорецот.
31. Кога Јуј влезе во портите, таа праша: 'Ќе има ли мир за Замвриј, убиецот на господарот свој?'
32. Тој ги крена очите кон прозорецот и праша: 'Кој е со мене, кој?' И го свртија огледот кон него двајца - тројца дворски слуги.
33. Тогаш тој им рече: 'Фрлете ја!' Тие ја фрлија, и крвта и се разлеа по ѕидот и по коњите, и ја изгазија.
34. И дојде Јуј, јадеше, пиеше и рече: 'Најдете ја онаа проклетица и погребете ја, бидејки е царска керка.'
35. Отидоа да ја погребаат, но од неа не најдоа ништо, туку само черепот, нозете и шаките од рацете.
36. Се вратија и му соопштија, а тој рече: 'Такво беше словото на Господа, што го изрече Он преку слугата Свој Тесвитецот Илија, велејки: ‘Језавелиниот труп ке го изедат кучиња на Језраелското поле.
37. Језавелиниот труп ке биде на Језраелското поле како убре на нива, та никој не ке може да каже: ‘ова е Језавела‘.‘'

Глава 10

1. Ахав имаше седумдесет синови во Самарија. Јуј напиша и испрати во Самарија до
израилските војводи, старешини и воспитувачи на Ахавовите деца писма со вакква содржина:
2. 'Кога ке стигне до вас ова писмо, бидејки се при вас синовите на господарот ваш, а исто
така кај вас се и колите и коњите, и утврдениот град и оружјето, -
3. изберете го најдобриот и надостојниот од синовите на господарот свој, поставете го на
татковиот му престол и војувајте за домот на господарот свој.'
4. Тие се уплашија многу и рекоа: 'Ете, двајца цареви не устоија пред него, а како ке устоиме
ние?'
5. Тогаш војводата на царскиот дом и градоначалникот, и старешините, и воспитувачите
испратија да му кажат на Јуја: 'Ние сме твои слуги и, што ке ни кажеш, ке направиме; никого
нема да поставиме за цар; прави што ти е волја.'
6. Тој повторно им напишта вакво писмо: 'Ако сте мои и ако се покорувате на зборот мој,
земете ги главите на синовите на вашиот господар и дојдете утре во ова време при мене во
Језраел.' И царските синови беа седумдесет души; ги воспитуваа највидните во градот.
7. Кога стигна до нив писмото, тие ги зедоа царските синови и ги заклаа - седумдесет души, ги
ставија главите нивни во кошница и му ги испратија во Језраел.
8. Дојде пратеникот, го извести и рече: 'Ги донесовме главите на царските синови.' И тој рече:
'Поставете ги во два купа при влезот на портите до утре.'
9. Изутрината тој излезе, застана и му рече на сиот народ: 'Вие не сте виновни. Еве, јас
востанав против господарот свој и го убив, но сите овие кој ги уби?
10. А сега знајте, дека нема да изостане на земјата ниедно слово Господово, што Он го изрекол
за Ахавовиот дом; Господ го направи тоа, што го изрече преку Својот слуга Илија.'
11. И Јуј ги уби сите други од домот на Ахава во Језраел, и сите големци негови, и блиски
негови, и свештениците негови, така што од него не остана ниту еден.
12. Потоа стана, тргна и дојде во Самарија. По патот, кога се нао аше близу до овчарскиот
Ветакад,
13. Јуј ги сретна браката на јудејскиот цар Охозија и ги праша: 'Кои сте вие?' Тие одговорија:
'Ние сме браката на Охозија, одиме да видиме, здрави ли се синовите на царот и синовите на
царицата.'
14. То тој рече: 'Фатете ги живи.' Ги фатија живи и ги заклаа четириесет и две души, при
кладенецот на Ветакад, и од нив не остана ниту еден.
15. Оттаму тргна и се сретна со Рихавовиот син Јонадав, кој му доа аше во пресрет; го
поздрави и му рече: 'Расположено ли е срцето твое така, како моето срце кон твоето?' Јонадав
одговори: 'Да.' Тогаш му рече: 'Ако е така, дај ја раката своја.' И тој ја подаде раката, и тој го
качи на колата при себе.'
16. И рече: 'Тргнувај со мене и гледај ја мојата ревност кон Господа.' И го наместија во колата.
17. Кога дојде во Самарија, тој ги уби сите, што останаа од Ахава во Самарија, така што сосема
го истреби, според словото на Господа, што му го беше кажал на Илија.
18. Тогаш Јуј го собра сиот народ и рече: 'Ахав малку му служеше на Ваала; Јуј ке му служи
повеке.
19. Затоа, свикајте ги при мене сите пророци на Ваала, сите негови служители и сите негови
свештеници, - никој да не отсуствува, зашто ке му принесам голема жртва на Ваала. А секој,
што нема да дојде, нема да остана жив.' Јуј го правеше тоа со лукавство, за да ги истреби
Вааловите служители.
20. Тогаш рече Јуј: 'Свикајте празничен собор за Ваала.' И прогласија собор.
21. Тогаш Јуј испрати по сиот Израил, и дојдоа сите Ваалови служители; не остана ниеден да
не дојде; и влегоа во домот на Ваала, и Вааловиот дом се исполни открај докрај.
22. И му кажа на чуварот на одеждите: 'Донеси одежди за сите Ваалови служители!' И тој им
донесе одежди.

23. Јуј влезе со Рихавовиот син Јонадав во домот Ваалов и им кажа на Вааловите служители:
'Испитајте и разгледајте, дали се нао а некој од служителите на Господа, зашто тука треба да
бидат само Вааловите служители.'
24. И тие пристапија да принесуваат жртви сепаленици и приноси. А Јуј постави надвор од
домот осумдесет души и рече: 'Душата на оној, од кого што ке се спаси некој од лу ето, што ви
ги прадавам во рацете, ке биде наместо душата на оној што се спасил.'
25. Кога жртвите сепаленици беа принесени, Јуј им рече на брзоодците и на војводите: 'Одете,
убијте ги, та ниеден да не излезе.' Ги убија со сечилото на мечот и ги исфрлија брзоодците и
војводите, и отидоа во градот, каде што беше Вааловото светилиште,
26. ги изнесоа идолите од Вааловото светилиште и ги изгореа;
27. потоа го разбија Вааловиот идол, го разрушија Вааловото светилиште и го претворија во
место на нечистотии, дури до денес.
28. Така го истреби Јуј Ваала од Израилската земја.
29. Но од гревовите на Наватовиот син Јеровоама, што го беше навел во грев Израилот, од нив
Јуј не отстапи, од златните телиња, што беа во Ветил и во Дан.
30. Тогаш Господ му рече на Јуја: 'Поради тоа што доброволно го изврши она што беше
праведно пред очите Мои - го исполни над Ахавовиот дом се она, што Ми беше на срце, твоите
синови ке седат до четвртиот род на Израилевиот престол.'
31. Но Јуј не сакаше да оди според законот на Господа, Бога Израилев, од се срце. Тој не
отстапуваше од гревовите на Јеровоама, што го беше навел во грев Израилот.
32. Во тие денови Господ почна да откинува делови од Израилците и Азаил ги биеше по сите
израилски предели:
33. на исток од Јордан, целата земја Галад, племето Гадово, Рувимово, Манасиево, кога ке
зафатиш од Ароир, при потокот Арнон, и Галад и Васан.
34. Другото за Јуја и за се што тој го изврши, и за јуначките подвизи негови, е опишано во
летописите на израилските цареви.
35. И почина Јуј при татковците свои, и го погребаа во Самарија. А место него стана цар синот
негов Јоахаз.
36. Јуј царуваше над Израилот во Самарија дваесет и осум години.

Глава 11

1. Готолија, мајката на Охозија, кога виде дека синот нејзин умре, стана и го истреби сиот царски род.
2. Но Јосавета, керката на царот Јорам, сестра на Охозија, го зеде Охозиевиот син Јоаса и тајно го зеде од убиваните царски синови, го украде него и доилката негова, и го сокрија од Готолија во спалната, и тој не беше убиен.
3. И го криеја со неа во Господовиот дом шест години, а во тоа време Готолија царуваше над земјата.
4. На седмата година Јодај испрати и ги повика стотниците од телохранителите и брзоотците, ги доведе при себеси во домот Господов, склучи со нов договор, зеде од нив клетва во домот Господов и им го покажа царскиот син;
5. и им даде заповед, велејки: 'Еве што ке направите: едната третина од вас, што доа ате во сабота, ке стоите на стража при царскиот дом;
6. другата третина - при Сурските порти; и третата третина - при портите зад телохранителите, и ке стоите на стража во домот, за да не стане насилство.
7. И два дела од вас, од сите, што одат во сабота, ке стојат на стража при домот Господов, околу царот;
8. и опколете го царот од сите страни, секој со оружјето свое в рака; кој и да влезе во редовите, да биде убиен; и бидете при царот, кога излегува и кога влегува.'
9. Стотниците направија се, што заповеда свештеникот Јодај; секој ги зеде лу ето свои, што доа аа во сабота и кои одеа во сабота, и дојдоа при свештеникот Јодаја.
10. И свештеникот им ги раздаде на стотниците копјата и штитовите на царот Давида, што се нао аа во домот на Господа.
11. И застанаа брзоодците, секој со оружје в рака, од десната страна на домот до левата страна на домот, при жртвеникот и при домот, околу царот.
12. Тогаш Јодај го изведе царскиот син, му стави царски венец и украси, го зацарија, го помазаа, ракоплескаа и извикуваа: 'Да живее царот!'
13. Го чу Готолија гласот на растрчаниот народ и отиде при народот во домот Господов.
14. А таму: ете, царот стои на повисоко место, според обичајот, и кнезовите и трубите до царот; сиот народ на земјата се весели, и трубат со труби. Готолија ја раскина облеката своја и извика: 'Заговор, заговор!'
15. Свештеникот Јодај им заповеда на стотниците, војводите и војската, и им рече: 'Изведете ја надвор од редовите, а кој ке тргне по неа, убивајте го со меч!' Свештеникот мислеше да не ја убијат во домот Господов.
16. И направија место и таа мина низ коњскиот влез за царскиот двор и таму беше убиена.
17. И склучи Јодај завет ме у Господа, ме у царот и народот, тие да бидат народ Господов.
18. Тогаш сиот народ отиде во домот на Ваала, ги срушија жртвениците негови, и идолите негови сосема ги уништија, и Вааловиот жрец Матана го убија пред жртвениците. А свештеникот установи надзорништво над домот Господов.
19. И ги зеде стотниците и телохранителите и брзоодците и сиот народ од земјата, и го придружија царот од домот Господов, и отидоа по патот низ телохранителските порти во царскиот дом; и тој седна на царскиот престол.
20. Сиот народ на земјата се веселеше, и градот се успокои. А Готолија ја убија со меч во царскиот дом.
21. Јоас беше на седум години, кога стана цар.

Глава 12

1. Во седмата година на Јуја стана цар Јоас и царуваше во Ерусалим четириесет години. Мајка му се викаше Савија, од Вирсавија.
2. А Јоас го вршеше она што беше угодно пред очите на Господа во сите денови додека го поучуваше свештеникот Јодај;
3. само идолските светилишта не беа урнати; народот уште принесуваше жртви и кадеше по тие светилишта.
4. Јоас им кажа на свештениците: 'Сето посветувано сребро, што го принесуваат во домот Господов, среброто од оние што се бројат, среброто што се внесува за секоја душа според оценката, - сето сребро, колку што секому срцето му дава, да се донесе во домот Господов;
5. свештениците нека го приберат, секој од својот познат, и нека го поправат расипаното во храмот, насекаде, каде што ке се најде оштетено.
6. Но бидејки до дваесет и третата година на царот Јоас свештениците не ги поправаа расипаните работи во храмот,
7. царот Јоас го повика тогаш свештеникот Јодаја и свештениците и им рече: 'Зошто не ги поправате расипаните работи во храмот? Отсега нема веке да прибирате сребро од своите познати, туку ке го оставате за поправка на храмот.'
8. И свештениците се согласија да не прибираат веке при себе сребро од народот за поправки во храмот.
9. Тогаш свештеникот Јодај зеде едно ковчеже, му направи одозгора отвор и го стави до жртвеникот десно, каде што влегуваа во домот Господов. И свештениците, што стоеја на стража при вратата, го пуштаа таму сето сребро, што се внесуваше во домот Господов.
10. И кога видоа, дека има многу сребро во ковчежето, доа аше царскиот писар и првосвештеникот и го врзуваа во торби и го пребројуваа среброто, што се нао аше во домот Господов,
11. а преброеното сребро го предаваа во рацете на одредените при домот Господов распоредници, и тие им плакаа на дрводелците, што работеа во домот Господов,
12. и на ѕидарите, и на каменоделците, и за купување дрва и делкани камења, за поправки во домот Господов, и за се, што се трошеше за одржување на храмот.
13. Но за домот Господов не беа направени ни сребрени чинии, ни штипки, ни котлиња за росење, ни труби - никакви златни садови, и сребрени садови не беа направени од сребро, што се внесуваше во домот Господов,
14. туку го предаваа на распоредниците и тие го поправаа со него домот Господов.
15. И не бараа сметка од оние, на кои им го доверуваа среброто за раздавање на распоредниците, зашто тие постапуваа чесно.
16. Среброто од жртвите за вина и сребро од жртвата за грев не се внесуваше во домот Господов: тоа беше за свештениците.
17. Тогаш сирискиот цар Азаил тргна во поход, отиде да војува против Гет, и го презеде; а потоа Азаил намисли да оди против Ерусалим.
18. Но јудејскиот цар Јоас го зеде сето жртвувано, што го беа жртвувале на храмот неговите татковци, јудејските цареви - Јосафат, Јорам и Охозиј, и што самиот го беше жртвувал, и сето злато, најдено во ризниците на домот Господов и на царскиот дом, и му го испрати на сирискиот цар Азаил; тој тогаш го напушти Ерусалим.
19. Другото за Јоаса и за се, што тој извршил, е опишано во летописите на јудејските цареви.
20. И се побунија слугите негови, направија заговора и го убија Јоаса во домот Мило, на патот за Сила.
21. Го убија слугите негови: Језехар, син Јемуагов, и Језевуд, син Самиров, и тој умре, и го погребаа при татковците негови во Давидовиот град. А место него стана цар синот негов Амасиј.

Глава 13

1. Во дваесет и третата година на Јоаса, синот на јудејскиот цар Охозија, стана цар над Израилот во Самарија, Јујевиот син Јоахаз, и царуваше седумнаесет години.
2. тој го вршеше, она што не беше угодно пред очите на Господа, и одеше во гревовите на Наватовиот син Јеровоама, кој го беше навел во грев Израилот, и не отстапуваше од нив.
3. И се разгори гневот на Господа против Израилот, и Он го предаде во раката на сирискиот цар Азаил и во раката на Азаиловиот син Адад, за сето она време.
4. Јоахаз се помоли пред лицето на Господа, и Господ го чу, зашто ја виде невољата на Израилците, како ги притеснуваше сирискиот цар.
5. И Господ им даде на Израилците спасител, и тие се оттргнаа од раката на Сиријците, и живееја синовите Израилеви во шаторите свои, како вчера и завчера.
6. Ме утоа не отстапуваа од гревовите на домот на Јеровоама, кој го беше навел во грев Израилот; одеа по нив, а дубравата се уште стоеше во Самарија.
7. На Јоахаза му остана војска само педесет коњаници, десет коли и десет иљади пешаци, зашто сирискиот цар ги беше истребил и претворил во прав, што се тапка.
8. Другото за Јоахаза и за се, што тој го извршил, и за неговите јуначки подвизи, е опишано во летописите на израилските цареви.
9. И почина Јоахаз при татковците свои, и го погребаа во Самарија. А место него стана цар синот негов Јоас.
10. Јоахазовиот син Јоас стана цар над Израилот во Самарија во триесет и седмата година на јудејскиот цар Јоас; царуваше шеснаесет години.
11. И тој го вршеше она што не беше угодно пред очите на Господа; не отстапуваше во ниеден од гревовите на Наватовиот син Јеровоама, кој го беше навел на грев Израилот, туку одеше по нив.
12. Другото за Јоаса и за се она, што тој го изврши, и за неговите јуначки подвизи, како војувал против јудејскиот цар Амасија, е опишано во летописите на израилските цареви.
13. И почина Јоас при татаковците свои, а на престолот негов седна Јеровоам. Јоас беше погребан во Самарија, при израилските цареви.
14. Јелисеј се разболе од болест, од која подоцна умре. Дојде при него израилскиот цар Јоас, плачеше над него, велејки: 'Оче мој, оче мој, колата на Израилот и неговата коњица!'
15. И му рече Јелисеј: 'Земи лак и стрели.' И тој зеде лак и стрели.
16. Тогаш му рече: 'Стави ја раката на лакот.' И тој ја стави раката. Тогаш Јелисеј ги стави рацете свои врз рацете на царот
17. и рече: 'Отвори го прозорецот кон исток.' И тој го отвори. А Јелисеј рече: 'Стрелај!' И тој стрелаше. Потоа Јелисеј рече: 'Таа стрела за спасение е од Господа, таа е спасителната срела против Сирија, и ти ке ги поразиш до нозе Сиријците во Афек.'
18. И продолжи Јелисеј и рече: 'Земи стрели!' И тој зеде. Пак му рече на израилскиот цар: 'Удри во земјата!' И тој удри трипати и запре.
19. И му се разгневи Божјиот човек и рече: 'Требаше да удриш петпати или шестпати, тогаш ке ги разбиеш докрај Сиријците, а сега ке ги поразиш Сиријците само трипати.'
20. Умре Јелисеј и го погребаа. А на другата година моавските лу е навлегоа во земјата.
21. И ете, кога погребуваа еден човек, оние што го погребуваа, таму ги видоа тие лу е, го фрлија тој човек во Јелисеевиот гроб, и тој, падна, се допре до Јелисеевите коски, оживе и се исправи на нозете свои.
22. Сирискиот цар Азаил ги мачеше Израилците во сите денови на Јоахаза.
23. Но Господ се смили над нив и ги помилува; се сврти кон нив поради заветот Свој со Авраама, Исака и Јакова и не сакаше да ги истреби, и не ги отфрли од лицето Свое до денес.
24. Сирискиот цар Азаил умре, и место него стана цар синот негов Адад.
25. Јоахазовиот син Јоас го поврати од рацете на Азаиловиот син Адад градовите, што тој ги беше презел со војна од рацете на татка му Јоахаза. Трипати го разби Јоас, и ги врати

Израилевите градови.

Глава 14

1. Во втората година на Јоаса, синот на израилскиот цар Јоахаз, стана цар Амасиј, син на
јудејскиот цар Јоас:
2. тој беше на дваесет и пет години, кога стана цар, и царуваше дваесет и девет години во
Ерусалим. Мајка му се викаше Јоадина, од Ерусалим.
3. И го вршеше тој она, што беше угодно пред очите на Господа, но не така, како неговиот
татко Давид; тој во се постапуваше како татка си Јоаса.
4. Само идолските светилишта не беа урнати: народот уште принесуваше жртви и кадеше по
тие светилишта.
5. Кога се зацврсти царството во рацете негови, тој ги уби слугите свои, што беа го убиле
царот, татко му негов.
6. Но децата на убијците не ги уби, зашто е напишано во книгана на Мојсеевиот закон, во која
Господ заповеда, велејки: 'Татковците да не бидат казнувани со смрт поради децата, и децата
не треба да бидат казнувани со смрт заради татковците, туку секој треба да се казнува со
смрт за својот престап.'
7. Тој порази десет иљади Идумејци во Солениот Дол, и го зеде градот Села со војна, и му даде
име Јоктеил, кое си остана и до денес.
8. Тогаш Амасиј испрати пратеници до Јоаса, израилскиот цар, син на Јоахаза, Јујев син, да
кажат: 'Излези да се видиме лице в лице!'
9. Тогаш израилскиот цар Јоас испрати до Амасија, јудејскиот цар, да кажат: 'Трнот ливански
испратил при кедарот ливански да каже: ‘дај ја керката своја за жена на синот мој. Но минале
диви ѕверови ливански и го изгазиле тој трн.‘
10. Ти ги порази Идумејците, и срцето твое се возгордеа. Превознесувај се и остани во домот
свој. Што ти треба да предизвикуваш расправија за зло? Ќе паднеш ти и Јуда со тебе.'
11. Но Амасиј не послуша. Тогаш Јоас, царот израилски, излезе, и се видоа лице в лице, тој и
Амасиј, царот јудејски, во Ветсамис, што е во Јудеја.
12. Јудејците беа разбиени од Израилците, и се разбегаа по шаторите свои.
13. Израилскиот цар Јоас го фати во Ветсамис јудејскиот цар Амасија, синот на Јоаса, Охозиев
син, дојде во Ерусалим и урна четиристотини лакти од ерусалимскиот ѕид - од Ефремовите
порти до Агловите порти.
14. И го зеде сето злато и сребро и сите садови, какви што се најдоа во домот Господов и во
сокровиштата на царскиот дом, и заложниците, и се врати во Самарија.
15. Другите дела на Јоаса, што тој ги изврши, и за неговите јуначки подвизи, и како тој
војуваше против јудејскиот цар Амасија, се опишани во летописите на израилските цареви.
16. И почина Јоас при татковците свои, и беше погребан во Самарија, при израилските цареви.
Место него стана цар синот негов Јеровоам.
17. Амасиј, синот Јоасов, цар јудејски, по смртта на Јоахазовиот син Јоас, цар израилски,
живееше петнаесет години.
18. Другите дела на Амасија се запишани во летописите на јудејските цареви.
19. И направија заговор против него во Ерусалим, и тој избега во Лахис. Испратија по него во
Лахис, и таму го убија.
20. Го донесоа на коњи, и го погребаа во Ерусалим при татковците свои, во Давидовиот град.
21. Сиот народ јудејски го зеде Азарија, кој беше на шеснаесет години, и го поставија за цар
место неговиот татко Амасиј.
22. Тој го изгради Елат и му го врати на Јуда, откако царот, татко му, почина при татковците
свои.
23. Израилскиот цар Јеровоам, син Јоасов, стана цар во Самарија во петнаесеттата година на
јудејскиот цар Амасиј, Јоасов син, и царуваше четириесет и една година.
24. И го правеше она, што не беше угодно пред очите на Господа: не отстапуваше од ниеден
грев на Наватовиот син Јеровоама, кој го беше навел во грев Израилот.

25. Тој ги установи границите на Израилот од влезот во Емат до пустињското море, според словото на Господа, Бог Израилев, што Он го беше изрекол преку слугата Свој Аматиевиот син Јона, пророк од Гетаховер,
26. зашто Господ ја виде невољата на Израилот, толку горчлива, што немаше ни затворен, ни слободен, што би му бил помошник на Израилот.
27. И не сакаше Господ да го искорени името на Израилците под небото, па ги спаси преку раката на Јоасовиот син Јеровоама.
28. Другото за Јеровоама и за се, што извршил, и за неговите јуначки подвизи, како војувал и како му го вратил на Израилот Дамаск и Емат, кои беа на Јуда, е опишано во летописите на израилските цареви.
29. И почина Јеровоам, при татковците свои, при израилските цареви. А место него стана цар синот негов Захариј.

Глава 15

1. Јудејскиот цар Азариј, син Амасиев, стана цар во дваесет и седмата година на израилскиот цар Јеровоама.
2. Тој беше на шеснаесет години кога стана цар, и педесет и две години царуваше во Ерусалим. Мајка му се викаше Јехолија, од Ерусалим.
3. Тој го вршеше она, што беше угодно во очите на Господа, токму како што постапуваше татко му Амасиј.
4. Само идолските светилишта не беа урнати: народот се уште принесуваше жртви и кадеше по тие светилишта.
5. Господ го порази царот, и тој беше болен од лепра до денот на смртта своја и живееше во посебен дом. А царевиот син Јотам беше управник над дворот и му судеше на народот во земјата.
6. Другите дела на Азарија и се што тој извршил, е опишано во летописите на јудејските цареви.
7. И почина Азариј при татковицте свои, и го погребаа при татковците негови во Давидовиот град. А место него стана цар синот негов Јотам.
8. Захариј, синот на Јеровоама, стана цар над Израилот во Самарија во триесет и осмата година на јудескиот цар Азарија и царуваше шест месеци.
9. Тој го вршеше она, што не беше угодно пред очите на Господа, како што правеа татковците негови: не отстапуваше од гревовите на Нáватовиот син Јеровоама, кој го беше навел во грев Израилот.
10. Селум, синот Јависов, се побуни против него, го удри пред народот и ги уби, па стана цар место него.
11. Другото за Захарија е опишано во летописите на израилските цареви.
12. Такво беше словото на Господа, што Он му го беше кажал на Јуја, велејки: 'Синовите твои ке седат на Израилскиот престол до четвртиот род.' Така и стана.
13. Јависовиот син Селум стана цар во триесет и деветтата година на јудејскиот цар Азарија и царуваше во Самарија еден месец.
14. Тогаш Менаим, синот на Гадија од Терса, тргна и дојде во Самарија, го уби Јависовиот син Селум во Самарија, го усмрти и стана цар место него.
15. Другите работи на Селума и побуната негова, што тој ја изведе, опишани се во летописите на израилските цареви.
16. Менаим го порази Терса и сите, што беа во него и во пределите негови, почнувајки од Терса, поради тоа што градот не ги отвори портите, го разби, и сите напразни жени во него ги распори.
17. Менаим, синот Гадиев, стана цар над Израилот во триесет и деветтата година на јудејскиот цар Азарија и царуваше десет години во Самарија;
18. тој го вршеше она, што не беше угодно пред очите на Господа; не отстапуваше од гревовите на Наватовиот син Јеровоама, кој го беше навел во грев Израилот, во текот на сите негови денови.
19. Тогаш асирскиот цар Фул ја нападна замјата Израилева. И Менаим му даде на Фула иљада таланти сребро, за да му помогне да го зацврсти царството во своја рака.
20. Менаим го зеде тоа сребро од Израилците, од сите богати лу е, по педесет сикли сребро од секој човек, за да ги даде на асирскиот цар. И се врати назад асирскиот цар, и не остана таму во земјата.
21. Другите дела на Менаима и се што тој беше извршил, опишани се во летописите на израилските цареви.
22. И почина Менаим при татковците свои. А место него стана цар синот негов Факиј.
23. Менаимовиот син Факиј стана цар над Израилот во Самарија во педесеттата година на јудејскиот цар Азарија и царуваше две години.

24. И тој го вршеше, она што не беше угодно пред очите на Господа; не отстапуваше од гревовите на Наватовиот син Јеровоама, што го беше навел Израилот во грев.
25. Против него се побуни Факиј, синот на Ремалија, негов војвода, го нападна во Самарија, близу царскиот дом, со Аргов и Ариј, имајки со себеси и педесет души галадци, го уби и стана цар место него.
26. Другите работи на Факија и се што беше извршил, опишани се во летописите на израилските цареви.
27. Ремалиевиот син Факиј стана цар над Израилот во Самарија во педесет и втората година на јудејскиот цар Азарија и царуваше дваесет години;
28. Тој го вршеше она, што не беше угодно пред очите на Господа: не отстапуваше од гревовите на Наватовиот син Јеровоама, што го беше навел во грев Израилот.
29. Во дните на израилскиот цар Факија дојде асирскиот цар Теглатфеласар, го презеде Јон, Авaел-Вет-Маха, Јанох, Кедес, Асор, Галад, Галилеја и целата Нафталимова земја, и ги пресели жителите нивни во Асирија.
30. Осиј, синот Илин, се побуни против Ремалиевиот син Факија, го удри и го уби, па стана цар место него во давесеттата година на Озиевиот син Јоатам.
31. Другите дела на Факија и се што тој беше извршил, опишани се во летописите на израилските цареви.
32. Јоатам, синот на јудејскиот цар Озија, стана цар во втората година на Рамаилевиот син Факија, цар израилски;
33. тој беше на дваесет и пет години, кога стана цар, и царуваше во Ерусалим шеснаесет години. Мајка му се викаше Јеруса, Садокова керка.
34. Само тој го вршеше она, што беше угодно пред очите на Господа: во се постапуваше така, како што постапуваше таткото негов Озиј.
35. Но идолските светилишта не беа срушени: народот се уште принесуваше жртви и кадеше по тие светилишта. Тој ги изгради горните порти при домот Господов.
36. Другите дела на Јоатама и се, што тој беше извршувал, опишани се во летописите на јудејските цареви.
37. Во тие денови Господ почна да го испрака во Јудеја сирискиот цар Расоне и Рамалиевиот син Факија.
38. И почина Јоатам при татковците свои, и би погребан при татковците свои во градот на таткото свој Давида. А место него стана цар синот негов Ахаз.

Глава 16

1. Ахаз, синот на јудејскиот цар Јоатам, стана цар во седумнаесеттата година на Ремалиевиот син Факиј;
2. Ахаз беше на дваесет години, кога стана цар; тој царуваше шеснаесет години во Ерусалим, и не го вршеше она, што беше угодно пред очите на Господа, својот Бог, како татка си Давида,
3. туку одеше по патот на израилските цареви, и дури синот свој преку оган го пренесе, следејќи ги одвратните дела на народите, што Господ ги беше отстранил од пред лицето на Израилевите синови;
4. принесуваше жртви и кадеше по идолските светилишта и по могилите и под секое сенчесто дрво.
5. Тогаш сирискиот цар Расон и Ремаилевиот син Факиј, цар израилски, тргнаа против Ерусалим, за да го освојат и го држеа Ахаза во опсада, но не можеа да победат.
6. во она време сирискиот цар Расон и го врати на Сирија Елат и ги истера Јудејците од Елат; и Идумејците влегоа во Елат, каде што живеат и до денес.
7. Ахаз испрати пратеници до асирскиот цар Теглатфеласар во Дамаск да кажат: 'Јас сум твој роб и твој син; дојди и заштити ме од раката на сирискиот цар и од раката на израилскиот цар, кои се кренаа против мене.'
8. Ахаз зеде сребро и злато, колку што се најде во домот Господов и во ризницата на царскиот дом, и му го испрати како дар на асирскиот цар.
9. Асирскиот цар го послуша: и отиде асирскиот цар во Дамаск, го презеде и ги пресели жителите негови во Кир, а Расона го уби.
10. Царот Ахаз отиде да го пречека асирскиот Теглатфеласар во Дамаск и го виде жртвеникот, што беше во Дамаск, и му го испрати царот Ахаз на свештеникот Урија ликот на жрвеникот и план на целиот жртвеник.
11. А свештеникот Урија изгради жрвеник според образецот, што царот Ахаз му го испрати од Дамаск; тоа го направи свештеникот Урij, пред да дојде од Дамаск царот Ахаз.
12. Дојде царот од Дамаск, го виде жртвеникот, се доближи тој до жртвеникот и принесе на него жртва.
13. Запали жртва своја сепаленица и лебен принос, изврши прелив и го пороси жрвеникот со крвта на мирната своја жртва.
14. А бронзениот жрвеник, што беше пред лицето Господово, го премести од предната страна на храмот, од местото ме у новиот жртвеник и домот Господов, и го постави отстрана на тој жртвеник кон север.
15. И му заповеда на царот Ахаз на свештеникот Урij и рече: 'На големиот жртвеник пали ги утринските сепаленици и вечерниот лебен принос, сепаленицата од царот и лебниот принос од него, сепалениците од сите лу е на земјата и лебиот принос од нив, и преливиот од нив, и роси го жртвникот со крвта на секоја сепаленица и со крвта на секоја жртва, а бронзениот жртвеник да остане, додека јас да размислам.
16. Свештенкот Урij го изврши сето тоа, како што заповеда царот Ахаз.
17. И ги извади царот Ахаз краиштата на подножјата, ги симна од нив мијалиниците, го симна и морето од бронзените волови, што беа под него, и го постави на каменен под.
18. И ја крена саботната стреја што беше вградена при храмот, и надворешниот царски влез во домот Господов, заради асирскиот цар.
19. Другите дела на Ахаз, што тој ги извршил, опишани се во летописите на јудејските цареви.
20. И почина Ахаз при татковците свои, и беше погребан при татковците свои во Давидовиот гради. А место него стана цар синот негов Језекиј.

Глава 17

1. Осиј, синот на Ила, стана цар во Самарија над Израилот во дванаесеттата година на
јудејскиот цар Ахаз царуваше девет години,
2. а го вршеше она што не беше угодно пред очите на Господа, но не така, како израилските
цареви, што беа пред него.
3. Против него се крена асирскиот цар Саламанасар, и Осиј му стана потчинет, та му даваше
данок.
4. Асирскиот цар забележа кај Осија измена, зашто тој беше испракал пратеници при
египетскиот цар Сигор и не му даваше данок на асирскиот цар секоја година; тогаш асирскиот
цар го зеде под стража и го затвори во темница.
5. И се крена асирскиот цар против целата земја, се приближи до Самарија и ја држеше во
опсада три години.
6. Во деветтата година на Осија, асирскиот цар ја презеде Самарија, ги пресели Израилците во
Асирија и ги насели во Алај и во Авор, при реката Гозан, и во пределеите мидијски.
7. А тоа стана, затоа што Израилевите синови почнаа да грешат пред Господа, својот Бог, Ког
ги изведе од Египетската земја, од раката на египетскиот цар - Фараона, и почнаа да
почитуваат други богови,
8. а да постапуваат според обичаите на народите, кои Господ ги беше прогнал пред лицето на
Израилевите синови, и според обичаите на израилските цареви, како што тие постапуваа.
9. А почнаа Израилевите синот да вршат работи неугодни пред Господа, својот Бог, си
подигнаа идолски светилишта по сите свои градови, и тоа, почнувајки од стражарската кула,
па се до утврден град.
10. и си поставија идоли и светилишта на секој повисок рид и под секое зелено дрво,
11. и кадеа таму по сите идолски светилишта, како народите, што ги беше прогнал од нив
Господ, и правеа лоши работи, што го разгневуваа Господа,
12. и им служеа на идолите, за кои им беше говорел Господ: 'Не го правете тоа!'
13. Тогаш Господ преку сите Свои пророци, преку секој гледач го опоменуваше Израилот и
Јуда, велејки: 'Вратете се од лошите патишта и пазете ги заповедите Мои, наредбите Мои,
целиот закон, што сум го запведал на татковиците ваши, и што сум ви го предал преку слугите
Мои, пророците.'
14. Но тие не послушаа и останаа тврдоглави, какви што беа и татковците нивни, кои не
веруваа во Господа, својот Бог;
15. тие ги презера наредбите Негови и заветот Негов, што Он го беше склучил со татковците
нивни, и откровенијата Негови, со кои им беше посведочил, па тргнаа по суетата - и - како што
и околните народи, за кои Господ им беше заповедал да не постапуваат како нив.
16. Тие ги оставија сите заповеди на Господа, својот Бог, си направија излеани идоли на две
телиња, си направија и дубрава, и се поклонуваа на сета небесна војска, му служеа и на Ваала,
17. ги пренесуваа преку оган синовите свои и керките свои, гатаа и правеа магии, и се
оддадоа да вршат зло пред очите на Господа, и да Го разгневуваат.
18. Затоа Господ силно се разгневи на Израилците и ги отфрли од лицето Свое, така што
остана само едно Јудино племе.
19. Но и Јуда не ги пазеше заповедите на Господа, својот Бог, и постапуваше според обичаите
на Израилците, како што постапуваа тие.
20. И Господ се одврати од сите потомци на Израилот, ги понизи и ги предаваше во рацете на
грабителите и, најпосле, ги отфрли од лицето Свое.
21. Израилците се беа отцепиле од Давидовиот дом и го беа зацариле Наватовиот син
Јеровоама. Јеровоам ги отстрани од Господа и ги наведе на голем грев.
22. И синовите Израилеви одеа во сите гревови на Јеровоама, какви што тој ги правеше, и не
отстапуваа од нив,
23. Додека Господ не го отфрли Израилот од лицето Свое, како што беше говорел преку сите

слуги Свои, пророците. И Израилот беше преселен од земјата своја во Асирија, каде што е и до денес.
24. Асирскиот цар преведе лу е од Вавилон, и од Хура, и од Ава, и од Емат Сепфаруим и ги насели во самариските градови, место израилевите синови. И тие владееја во Самарија и почнаа да живеат во градовите нејзини.
25. И бидејки во почетокот на своето живеење тие таму не Го почитуваа Господа, тогаш Господ им испракаше лавови, што ги давеа.
26. Му јавија на асирскиот цар и рекоа: 'Народите, што си ги преселил и населил во самариските градови, не го знаат законот на Бога од таа земја, и затоа Он им испрака лавови, и ете, тие ги дават, зашто не го знаат законот на Бога од онаа земја.'
27. И асирскиот цар заповеда и рече: 'Испратете таму еден од свештениците, што ги иселивте оттаму; нека оди и нека живее таму, и тој ке ги просвети во законот на Бога на онаа земја.'
28. И дојде еден од свештениците, што беа населени од Самарија, и живееше во Ветил, и ги учеше, како да Го почитуваат Господа.
29. Но секој народ си направи и свои богови и ги постави во идолските светилишта по ридовите, какви што си беа направиле, - секој народ во градовите свои, каде што живееше.
30. Ваилонците го направија Сокхот - Венит, Хутците го направија Гигел, Ематците го направија Асмат,
31. Евејците го направија Авалазер и Тартак, а Сепфаруимците ги изгорија во оган синовите свои во чест на Андрамелеха и Анамелеха, богови сепфаруимски.
32. Ме утоа, го почитуваа и Господа и поставија од средината своја свештеници по дубравите, и тие им служеа на идолските светилишта.
33. Ти Го почитуваа Господа и на боговите свои им служеа според обичајот на народите, од кои ги преселија.
34. Тие постапуваат и до денес според обичаите свои: не се плашат од Господа и не постапуваат по наредбите, ни по обичаите, ни по законот и ни по заповедите, што Господ им ги даде на синовите на Јакова, на кого му го даде името Израил.
35. Господ склучи со нив завет и им заповеда, велејки: 'Не почитувајте други богови и не им се поклонувајте, немојте да им служите и не принесувајте им жртви,
36. а Господ, Кој ве изведе од Египетската земја со голема сила и цврста мишка, Него почитувајте Го, Нему поклонувајте Му се и Нему принесувајте Му жртви;
37. уредбите и наредбите, законот и заповедите, што Он ви ги напиша, трудете се да ги исполнувате преку сите дни, и не почитувајте други богови;
38. не го заборавајте заветот, што го склучив со вас, и не плашете се од други богови;
39. почитувајте Го само Господа, вашиот Бог, и Он ке ве спаси од рацете на сите ваши непријатели.'
40. Но тие не послушаа, туку постапуваа според поранешните свои обичаи.
41. А имаше народи, што Го почитуваа Господа, но и на своите идоли им служеа. Па и децата нивни и внуците нивни до денес постапуваат така, како што постапуваа татковците нивни.

Глава 18

1. Во третата година на Осија, синот на Ила, цар израилски, стана цар Језекиј, син на јудејскиот цар Ахаз.
2. Тој беше на дваесет и пет годони, кога стана цар, и царуваше дваесет и девет години во Ерусалим; мајка му се викаше Авута, керка на Захарија.
3. Тој го вршеше она што беше угодно пред очите на Господа, во се онака како што правеше неговиот татко Давид;
4. тој ги урна идолските светилишта, ги исече дубравите и ја скрши бронзената змија, што Мојсеј ја беше направил; зашто дури до оние дни Израилевите синови и кадеа и ја нарекуваа Неестан.
5. На Господа Бога, Бог Израилев, тој се надеваше; и како него немаше ме у сите јудејски цареви - и по него, и пред него.
6. Тој се приврза кон Господа, не отстапувајки од Него и ги пазеше заповедите Негови, кои Господ му ги беше дал на Мојсеја.
7. И Господ беше со него: насекаде, каде и да одеше, тој постапуваше благоразумно. И се одметна тој од асирскиот цар и престана да му служи.
8. Тој ги порази Филистејците до Газа и до нејзините предели: од стражарската кула до утврдениот град.
9. Во четвртата година на царот Језекиј, односно во седмата година на Осија, синот на Ила, цар израилски, асирскиот цар Саламанасар тргна против Самарија, ја опседна.
10. и по три години ја презеде, - во шестата година на Језекија, односно во десеттата година на израилскиот цар Осија Самарија беше преземена.
11. И асирскиот цар ги пресели Израилците во Асирија, и ги насели во Алај и во Авор, при реката Гозан, и во пределите мидијски,
12. зашто тие не го послушаа гласот на Господа, својот Бог, и го прекршија заветот Негов: се, што беше заповедал Мојсеј, слугата Господов, тие ниту го слушаа, ниту го исполнуваа.
13. Во четиринаесеттата година на царот Језекиј асирскиот цар Сенахирим тргна против сите утврдени градови на Јуда и ги презеде.
14. Тогаш јудејскиот цар Језекиј испрати до асирскиот цар во Лахис да кажат: 'Виновен сум; оди си од мене; се што ке ми наложиш, ке поднесам.' И асирскиот цар му наложи на јудејскиот цар Језекиј триста таланти сребро и триста таланти злато.
15. И Језекиј го даде сето сребро, што се најде во домот Господов и во ризницата на царскиот дом.
16. Тогаш Језекиј го симна златото од вратата на домот Господов и од вратните столбови, кои тој, јудејскиот цар Језекиј, ги беше позлатил, и му ги даде на асирскиот цар.
17. И асирскиот цар го испрати Тартана, Рапсариса и Рапсака од Лахис при царот Језекија во Ерусалим со голема војска. И тргнаа и стигнаа до Ерусалим; тргнаа, стигнаа и запреа при водоводот на горното езеро, кое е на патот кон нивата на валавичарот.
18. И го повика царот. И излезе пред нив Халикиевиот син Елијаким, управник на дворецот, и писарот Сомнас, и Асафовиот син Јоас летописец.
19. И им рече Рапсак: 'Кажете му на Језекија: вака вели големиот цар, асирскиот цар: ‘каква е тоа надеж, на која се надевате?‘
20. Ти зборуваш само празни зборови: за војна се потребни ум и сила. А сега на кого се надеваш, та се одметна од мене?
21. Ете, ти мислиш да се потпреш на Египет, на таа скршена трска, која, ако некој се потпре на неа, ке му влезе во раката и ке му ја продупчи. Таков е Фараонот, египетскиот цар, за сите, што се надеваат на него.
22. Ако, пак, ми кажете: ‘на Господа, нашиот Бог, се надеваме,‘ тогаш на оној ли, чии светилишта и жртвеници Језекиј ги урна, велејки му на Јуда и на Ерусалим: само пред тој жртвеник поклонувајте се во Ерусалим?

23. И така, склучи сојуз со мојот господар, асирскиот цар; ке ти дадам две иљади коњи; можеш ли да најдеш за нив коњаници?
24. Како ке одбиеш ти еден водач од најмалите слуги на господарот мој? А се потпираш врз Египет заради коли и коњаници?
25. Притоа, зар јас без вољата Господова сум тргнал против ова место, за да го сотрам? Господ ми рече: ‘оди против таа земја и сотри ја.‘'
26. Тогаш му рече Хеликиевиот син Еликијам, и Сомнас, и Јоас на Рапсака: 'Говори им на слугите свои по арамејски, зашто разбираме, а немој да ни говориш по јудејски да слуша народот, што е на ѕидот.'
27. А Рапсак им рече: 'Зар само до твојот господар и до тебе ме испрати господарот мој да ги кажам тие зборови? Не, а и на лу ето што седат на ѕидот, за да го јадат изметот свој и да ја пијат мочта своја заедно со вас.'
28. И стана Рапсак, извика со силен глас по јудејски и зборуваше, велејки: 'Чујте ги зборовите на големиот цар, на асирскиот цар!
29. Вака вели царот: ‘нека не ве мами Језекиј, зашто тој не може да ве спаси од мојата рака;
30. и нека не ве обнадежува Језекиј со Господа, велејки: ‘Господ ке не спаси, и нема да биде предаден овој град во раката на асирскиот цар!‘
31. Не го слушајте Језекија, зашто вака вели асирскиот цар: ‘Примирете се со мене и дојдете при мене, и секој нека ги јаде плодовите на лозјето свое и на смоквата своја, и секој нека пие вода од својот кладенец,
32. додека да дојдам и да ве одведам во исто таква земја, како вашата земја, во земја со леб и вино, во земја со плодови и лозја, во земја со маслинови дрвја и мед, и ке живеете, и нема да умрете. Затоа не слушајте го Језејика, кој ве мами и вели: - ‘Господ ке не спаси.‘
33. Ги спасија ли боговите народите, секој земјата своја, од раката на асирскиот цар?
34. Каде се боговите на Емат и Арфад? Каде се боговите на Сепфаруим, Ана и Ава? Ја спасија ли тие Самарија од раката моја?
35. Кој од сите богови на тие земји ја избави земјата своја од мојата рака? Та зар Господ ке го спаси Ерусалим од раката моја?'
36. Народот молчеше и не му одговараше ни збор, зашто царот беше заповедал: 'Не му одговарајте!'
37. И дојде Хеликиевиот син Елијаким, управник на дворецот, и Сомнас, писарот, и Асафовиот син Јоас, летописецот при Језекија со раскината облека и му ги пренесоа Рапсаковите зборови.

Глава 19

1. Кога го чу тоа царот Језекиј, ја раскина облеката своја, се покри со врекиште и отиде во домот Господов.
2. И го испрати Елијакима, управникот на дворецот, писарот Сомнас и постарите свештеници, покриени со врекишта, при Амосовиот син, пророкот Исаија.
3. Тие му рекоа: 'Вака вели Језекиј: ‘ова е ден за жалост, за казна и за срам; зашто младенчињата пристигнаа, но родилна сила нема.
4. Секако Гопспод, Бог твој, ке ги чуе сите зборови на Рапсака, кога господарот негов, асирскиот цар, го испрати да го наведува живиот Бог и да го обесчести со зборови, какви што чу Господ, Бог твој. Затоа упати и помоли се за другите, кои се се уште живи.'
5. Слугите на царот Језекија отидоа при Исаија.
6. А Исаила им рече: 'Вака кажете му на вашиот господар: Така вели Господ: ‘Не прали се од зборовите, што ги чу, и со кои Ме навредуваа слугите на асирскиот цар.‘
7. Ете, Јас ке испратам во него дух, и тој ке чуе известување, и ке се врати во земјата своја, и Јас ке го поразам со меч во неговата земја.'
8. Се врати Рапсак и го најде асирскиот цар, како војува против Ливна, зашто беше чул, дека тој тргнал од Лахис.
9. Чу царот и за етиопскиот цар Тарак, за кого му рекоа: 'Ете, тој излезе да се судри со тебе.' И пак испрати пратеници при Језекија да кажат:
10. 'Вака кажете му на јудејскиот цар Језекија: ‘нека не те лаже твојот Бог, на Кого се надеваш, мислејки дека Ерусалим нема да биде предаден во раката на асирскиот цар.‘
11. Зар не си чул, што направија асирските цареви со сите земји, уништувајки ги наполно, - та ти ли ке се избавиш?
12. Боговите на овие народи, што ги сотреа татковците мои, ги спасија ли? Го спасија ли Гозан, и Харан, и Фарес и синовите на Еден, кој е во Таласар?
13. Каде е царот Ематски, и царот Арфадски, и царот на градот Сепфариум, на Ана и на Ава?'
14. Тогаш Језекиј го зеде писмото од рацете на пратениците, го прочита, отиде во домот Господов, и го објави Језекија пред лицето Господово;
15. и се молеше Језекиј пред лицето Господово и велеше: 'Господи, Боже Израилев, Кој седиш на херувими! Ти си еденствен Бог на сите земни царства. Ти го создаде небото и земјата.
16. Наклони го, Господи, увото Свое и чуј ме; отвори ги, Господи, очите Свои и погледни, и чуј ги зборовите на Сенахирима, кој испратил да Те навредуваат Тебе, живиот Бог!
17. Навистина, о Господи, царевите асирски ги сотреа народите и земјите нивни,
18. и ги нафрлаа боговите нивни во оган, но тоа не беа богови, туку изработки на човечки раце, - дрво и камен, затоа и ги истребија.
19. И сега, Господи Боже наш, спраси не од рацете негови, и сите земни царства ке познаат дека Ти, Господи, си единствен Бог.'
20. Тогаш Исаија, синот Амосов, испрати да му кажат на Језекија: 'Вака вели Господ, Бог Израилев: ‘го чув ова за кое ти Ми се молеше против асирскиот цар Сенахирим.‘
21. Еве го словото, што Господ го изрече за него: ке те презре, ке ти се потсмевне девствената Сионова керка, по тебе ке ја заниша главата керката Ерусалимска.
22. Кого Го прекоруваше и навредуваше ти? И против Кого крена глас и толку високо го крена очите? Против Светецот Израилев?
23. Преку твоите пратеници ти Го навредуваше Господа и велеше: - со многу коли се качив на горските височини, по ридовите на Ливан, ги исеков високите кедри негови и прекрасните кипариси негови и стигнав до најкрајното пристаниште негово, го гасталакот на градината негова;
24. ископав и пиев ту а вода, и ги пресушив со стапалата на нозете свои сите египетски реки.
25. Зар не си чул, дека Јас одамна сум го направил тоа, во стародревни дни сум го преднацртал, а сега го исполнив преку тоа, што ти опустошуваш урврдени градови,

претворувајки ги во купишта урнатини?
26. и жителите нивни изнемоштеа, треперат и се срамуваат. Тие станаа како полска трева и кревка билка, како трева по покривите, препламната пред да узрее.
27. Кога седнуваш, кога излегуваш, или влегуваш, Јас се знам; ја знам и дрскоста твоја против Мене.
28. Твојот гнев против Мене и твојата дрскост достигна до Моите уши, па затоа ке ја ставам алката Своја во твоите ноздри и уздата Своја во твојата уста, и ке те вратам назад по истиот пат, по кои си дошол.
29. И, еве ти знак: јадете го оваа година - самоникнатото, а во третата година сејте и жнејте, садете лозја и јадете ги нивните плодови.
30. И спасението во Јудиниот дом, пак ке пушти корен одоздола и ке даде плод озгора,
31. зашто од Ерусалом ке произлезе остатокот, и спасеното - од горaта Сион. Ревноста на Господа Саваот ке го направи тоа.
32. Затоа вака говори Господ за асирскиот цар: тој нема да влезе во овој град, нема да фрли во него стрела, нема да пристапи со штит кон него и нема да ископа опкоп околу него.
33. По истиот пат, по кој дошол, ке се врати, и нема да влезе во тој град, вели Господ.
34. Јас ке го пазам тој град, за да го запазам за Себеси и за Мојојт слуга Давида.'
35. И се случи во таа нок: ангел Господов отиде и во асирскиот логор порази сто и осумдесет и пет иљади. Изутрината кога станаа, а тоа се мртви тела.
36. Тргна, отиде и се врати асирскиот цар Сенахирим, и живееше во Ниневија.
37. И кога се клањаше во домот на Месераха, својот бог, го убија со меч синовите негови Адрамелех и Сарсар, а самите избегаа во Араратската земја. И место него стана цар синот негов Асардан.

Глава 20

1. Во тие дни се разболе Језекиј на смрт; и дојде при него Амосовиот син, пророкот Исаија и му рече: 'Вака вели Господ: ‘среди ги работите за домот свој, зашто ке умреш, нема да оздравиш.‘'
2. Се свти Језекиј со лицето кон ѕидот и Му се помоли на Господа, велејки:
3. 'О Господи, спомни си, дека јас одев пред лицето Твое верно и со предано на Тебе срце, и го вршев она, што беше угодно пред очите Твои.' И заплака Језекиј силно.
4. Исаија уште не беше излегол од средниот двор, и би словото Господово кон него:
5. 'Врати се и кажи му на Језекија, владетелот на Мојот народ: вака вели Господ, Бог на твојот татко Давида - Ја чув молитвата твоја, ги видов солзите твои. Јас ке те излекувам; на третиот ден ке отидеш во домот Господов;
6. и ке додадам кон деновите твои петнаесет години, и ке те спасам од рацете на асирскиот цар тебе и твојот град, и ке го заштитам тој град заради Себеси и заради Мојот слуга Давида.'
7. Тогаш рече Исаија: 'Земете суви смокви.' И зедоа, и ги наложија на чирот; и тој оздраве.
8. Језекиј му рече на Исаија: 'Каков е знакот, дека Господ ке ме излекува и дека на третиот ден ке одам во домот Господов?'
9. Исаија одговори: 'Еве ти знак од Господа, дека Господ ке го исполни словото, што го кажал - сакаш ли напред да оди сенката десет степени или десет степени назад?'
10. И рече Језекиј: 'Лесно е да се помести сенката десет степени напред; не, нека се врати сенката десет степени назад.'
11. Повика пророкот Исаија кон Господа, и Он ја врати сенката назад десет степени според Ахазовите степени, по кои се спушташе.
12. Во тоа време вавилонскиот цар Муродах Валадан, син на Валадана, му испрати писмо и подароци на Језекија, зашто беше чул, дека Јазекиј бил болен.
13. Језекиј, откако ги слушна пратениците, им ги покажа ризниците свои, среброто и златото, и ароматите, и скапоцените масла, и целата своја оружарница и се што се нао аше во скровиштата негови; и не остана ништо, што да не им го покажа Језекиј во домот свој и во целото свое владение.
14. Пророкот Исаија додјде при царот Језекија и го праша: 'Што кажаа тие лу е, и од каде дојдоа при тебе?' Језекиј одговори: 'Од далечна земја дојдоа тие, од Вавилон.'
15. Исаија пак праша: 'Што видоа тие во домот твој?' Језекиј одговори: 'Видоа се што е во мојот дом; не остана ништо, што да ни им го покажав во ризниците свои.'
16. Тогаш Исаија му рече на Језекија: 'Чуј го словото Господово:
17. ‘Еве, ке дојдат дни, и се што е во твојот дом, и што го собрале татковците твои до денес, ке биде однесено во Вавилон; ништо нема да остане - вели Господ.
18. Ke земат од синовите твои, што ке произлезе од тебе, што ке го родиш, и тие ке бидат слуги во дворецот на вавилонскиот цар.'
19. А Језекиј му рече на Исаија: 'Добро е словото Господово, што ти го изрече.' И продолжи: 'Да биде мир и доброчестивост во моите дни!'
20. Другата работа за Језекија, за сите негови подвизи, дека направи езера и водовод и спроведе вода во градот, опишано е во летописите на јудејските цареви.
21. И почина Језекиј при татковците свои, а место него стана цар синот негов Манасиј.

Глава 21

1. Манасиј беше на дванаесет години, кога стана цар, и царуваше во Ерусалим педесет години; мајка му се викаше Офовија.
2. Но тој го вршеше она, што не беше угодно пред очите на Господа, подражавајќи ги лошите работи на оние народи, кои Господ ги беше изгонил од пред лицето на Израилевите синови.
3. Тој одново ги подигна идолските светилишта, кои татко му Језекиј ги беше уништил, му подигна жртвеници на Ваала и направи дубрава, како што направи израилскиот цар Ахав; и се клањаше на сета небесна војска и и служеше;
4. а изгради жртвеници и во домот Господов, за кого Господ беше рекол: 'Во Ерусалим ќе го поставам името Свое.'
5. Тој изгради и жртвеници за сета небеска војска во двата двора на домот Господов;
6. го пренесе преку оган синот свој, гаташе и врачаше; си набави извикувачи на мртви и ма есници и изврши многу неугодни работи пред очите на Господа, за да Го разгневи.
7. Направи и статуа на Астарта и ја постави во домот, за кој Господ му беше говорел на Давида и на синот негов Соломона; во овој дом и во Ерусалим, што Јас го избрав ме у синовите Израилеви племиња, го ставам името Свое за секогаш:
8. и во иднина нема да ја оставам ногата на Израилот да излезе од земјата, што сум им ја дал на татковците нивни, само ако тие се потрудат да постапуваат според се она, што сум заповедал, и според целиот закон, што им го даде Мојот слуга Мојсеј.
9. Но тие не послушаа; и Манасиј ги разврати дотаму, што тие постапуваа полошо и од оние народи, кои Господ ги беше истребил пред лицето на Израилевите синови.
10. И говореше Господ преку Своите слуги - пророците, и рече:
11. 'Поради тоа што јудејскиот цар Манасиј ги изврши тие лоши дела, полоши од се она, што го вршеа Аморејците, кои беа пред него, и го наведе Јуда во грев со своите идоли,
12. затоа Господ вели вака: Еве, врз Ерусалим и врз Јуда ќе испратам такво зло, што, кој ќе чуе за него, ќе му писнат и двете уши;
13. и ќе го оптегнам над Ерусалим јажето мерник на Самарија и мерката на Ахавовиот дом, и ќе го избришам Ерусалим така, како што се брише сад, - го бришат и го затвораат;
14. ќе го оставам остатокот од Моето наследство и ќе го предадам во рацете на непријателите нивни, и тие ќе бидат разграбени и пленети од сите свои напријатели,
15. поради тоа што го вршеа она, што беше неугодно пред очите Мои и Ме разгневуваа од оној ден, во кој татковиците нивни излегоа од Египет, дури до денес.'
16. А при тоа Манасиј пролеа мошне многу невина крв, та го наполни со неа Ерусалим докрај, освен својот грев со што го вовлече Јуда во грев, да не врши угодни дела пред очите на Господа.
17. Другото за Манасија и за се што тој го извршил, и за гревовите негови, со кои згрешил, е опишано во летописите на јудејските цареви.
18. И почина Манасиј при татковиците свои, и беше погребан во градината при домот негов, во градината на Ози. А место него стана цар синот негов Амон.
19. Амон беше на дваесет и две години, кога стана цар, и царуваше во Ерусалим две години; мајка му се викаше Месолемет, керка Арусова, од Јетва.
20. И тој го вршеше, она што не беше угодно пред очите на Господа, така, како што го правеше тоа татко му Манасиј;
21. одеше токму по истиот пат, по кој одеше татко му; им служеше на идолите, на кои им служеше татко му, и им се клањаше.
22. Тој Го остави Господа, Бога на татковците свои, и не одеше по патот Господов.
23. Амоновите слуги се побунија против него и го убија царот во домот негов.
24. Но народот на земјата ги уби сите заговореници против царот Амона; и народот на земјата го поставаи за цар место него синот негов Јосиј.
25. Другите дела на Амона што ги извршил тој, е опишано во летописите на јудејските цареви.

26. И го погребаа во гробницата негова, во градината на Ози. А место него стана цар син му Јосиј.

Глава 22

1. Јосиј беше на осум години кога стана цар, и царуваше во Ерусалим тиесет и една година; мајка му се викаше Једида, керка Едеева, од Васурот.
2. Тог го вршеше она што беше угодно пред очите на Господа, во се одеше по патот на татка си Давида и не се отколнуваше ни десно, ни лево.
3. Кога беше на осумнаесет години, царот Јосиј го испрати писарот Сафан, син на Езелија, Месоламов син, во домот на Господа, велејки:
4. 'Оди при првосвештеникот Хелкија, нека го преброи среброто, донесено во домот на Господа, што го собраа од народот вратарите,
5. и нека го дадат во рацете на распоредниците, поставени при храмот Господов, а тие да го потрошат за работниците во домот Господов за поправка на штетите во домот:
6. на дрводелците, на каменарите, на ѕидарите и за купување дрва и делкани камења за поправка на домот;
7. но да не се бара од нив сметка за среброто, предадено во рацете нивни, бидејки тие постапуваат чесно.'
8. И му кажа првосвештеникот Хелкиј на писарот Сафан: 'Јас ја најдов во домот Господов книгата на законот.' И Хелкиј му ја подаде книгата на Сафана, и тој ја читаше.
9. Дојде писарот Сафан при царот и му донесе на царот одговор, велејки: 'Твоите слуги го зедоа среброто, најдено во домот, и го предадоа во рацете на распоредниците, поставени при домот Господов.'
10. Писарот Сафан му соопшти уште на царот и рече: 'Една книга ми даде свештеникот Хелкиј.' И Сафан ја читаше пред царот.
11. Кога царот ги чу зборовите од книгана на законот, ја раскина облеката своја.
12. Тогаш царот заповеда на свештеникот Хелкиј, на Ахикама, Сафанов син, на Ахвора, Михеев син, на писарот Сафан и на царскиот слуга Асаиј, велејки:
13. 'Одете, прашајте Го Господа за мене, за народот и за цела Јудеја во врска со зборовите на таа најдена книга, зашто голем е гневот Господов, што се разгорел против нас, поради тоа што нашите татковци не ги послушаа зборовите на таа книга, за да постапуваат според она што ни е заповедано во неа.'
14. И отиде свештеникот Хелкиј со Ахикама, Ахвора, Сафана и Асаија при пророчицата Олдама, жена на одеждочуварот Салум, син на Текуја, Арасов син, - а таа живееше во Ерусалим, во вториот дел, - и зборуваа со неа.
15. А таа им рече: 'Вака вели Господ, Бог Израилев: кажете му на човекот, што ве испрати при мене:
16. вака вели Господ: ке испратам зло во тоа место и врз жителите негови - сите зборови од книгата, што ги прочита јудејскиот цар.
17. Поради оа што ме оставија и кадат да други богови, за да ме предизвикуваат со сите работи на рацете свои, се разгневи гневот Мој против тоа место, и нема да угасне.
18. А на јудејскиот цар, што ве испратил да Го прашате Господа, кажете му: - вака вели Господ, Бог Израилев, за зборовите што ги чу:
19. поради тоа што смекна срцете твое, и ти се смири пред Господа, откако го чу ова, што Јас го изреков против тоа место и против жителите негови, дека тие ке бидат за ужас и проклетство, и ти ја раскина облеката своја и плачеше пред Мене, Јас те чув - вели Господ.
20. Поради тоа, еве, Јас ке те приберам при татковците твои, и ке бидеш ставен во гробницата своја во мир, и твоите очи нема да ги видат сите тие зла, што ке ги испратам во тоа место.' И му донесоа на царот одговор.

Глава 23

1. Тогаш царот испрати, та се собраа при него сите старешини на Јуда и на Ерусалим.
2. И отиде царот во домот Господов, и со него сите Јудекци и сите ерусалимски жители, и свештениците, и пророците, и сиот народ, од мал до голем, и им ги прочита гласно сите збовори од книгата, која се најде во домот Господов.
3. Потоа царот застана на високо место и пред лицето Господово се заветува - дека ке Го следи Господа и дека ке ги чува заветите Негови, откровенијата негови и наредбите Негови, од се срце и душа, за да ги исполнува зборовите на тој завет, напишани во таа книга, И сиот народ се заветува.
4. Тогаш царот му заповеда на првосвештеникот Хелкиј и на другите свештеници и на вратарите да ги извесат од храмот Господов сите работи направени за Ваала и за Астарта и за сета небеска војска, и ги изгори надвор од Ерусалим, во Кедронскиот дол, и заповеда да ја пренесат пепелта нивна во Ветил.
5. И ги отстрани многубожечките жреци, што ги беа поставила јудеските цареви да вршат кадење по идолските светилишта во јудејските градови и во околината на Ерусалим, и оние, што му кадеа на Ваала, на сонцето, на месечината, на планетите и на сета небеска војска.
6. И ја изнесе тоај Астарта од домот Господов надвор од Ерусалим, при потокот Кедрон, и ја изгоре при потокот Кедрон, ја претвори во пепел и ја фрли пепелта нејзина во општонародните гробишта;
7. и ги разурна блудничките домови, што беа при храмот Господов, каде што жени шиеја облека за Астарта;
8. и ги изведе сите жреци од јудејсите градови, ги оскверни идолските светилишта, по кои жреците вршеа кадења, од Гава до Вирсавија, и ги разурна светилиштата пред портите - оние при влезот кон портите на Исуса градоначалникот, и оние одлево при градските порти.
9. Жреците на идолските светилишта, ме утоа, не принесуваа жртви врз жртвеникот Господов во Ерусалим туку јадеа безквасници заедно со браката свои.
10. Тој го оскверни и Тофет, што е во долот на Еномовите синови, та никој да не го пренесува синот свој и керката своја преку оган во чест на Молоха;
11. и ги урна коњите, кои јудејските цареви ги ставаа во чест на сонцето пред влезот во домот Господов, близу до собите на дворјанинот Нетан - Мелех, во Фарурим, а колесниците на сонцето ги изгоре со оган.
12. И жртвениците врз покривот на Ахазовата горна соба, што ги направија јудејсите цареви, и жртвениците, кои Манасиј ги беше направил во двата двора на домот Господов, царот ги собори и ги растури оттаму, и правот нивни го фрли во потокот Кедрон.
13. И идолските светилишта пред Ерусалим, десно од Маслиновата Гора, кои Соломон, царот Израилев, и го беше изградил на Астарта, гад сидонски, и на хамос, гад моавски, и на Молох, гад амонитски, царот ги оскверни;
14. и ги искрши идолите, и ги исече дубравите, и го наполни местото нивно со човечки коски.
15. Исто така и жртвеникот, што беше во Ветил, и идолското светилиште, изградено од Наватовиот син Јеровоам, кој беше го навел Израилот во грев, - и жртвеникот и светилиштето ги разурна, и ги изгоре, ги претвори во прав, ја изгоре и дубравата.
16. Јосиј погледна и ги виде гробиштата, што беа таму на гората, па испрати и ги зеде коските од гробовите, ги изгоре врз жртвеникот и го оскверни, според словото Господово, што го навести човекот Божји, кој ги беше претскажал тие настани, кога Јероваоам стоеше на празникот пред жртвеникот. Потоа се сврте и го виде гробот на Божјиот човек, што ги беше претскажал тие настани,
17. и Јосиј праша: 'Каков е тој споменик, што го гледам?' Му одговорија градските жители: 'Тоа е гробот на Божјиот човек, кој дојде од Јудеја и го навести ова, што ти го правиш сега над Ветилскиот жртвеник.'
18. Тогаш тој рече: 'Оставете го на мира, никој да не ги обеспокојува коските негови.' И ги

зачува коските негови заедно со коските на пророкот, што беше дошол од Самарија.
19. И сите идолски светилишта во самариските градови, кои израилските цареви ги беа изградиле, разгневувајќи Го Господа, Јосиј ги разруши и направи со нив исто, како што направи во Ветил;
20. ги закла сите жреци при светилиштата, што беа таму, при жртвениците, и изгоре врз нив човечки коски, па се врати во Ерусалим.
21. Тогаш царот му заповеда на сиот народ и рече: 'Празнувајте Му Пасха на Господа, вашиот Бог, како што е напишано во таа книга на заветот.'
22. Зашто таква Пасха не беше празнувана од дните на судиите, кои му судеа на Израилот, и во сите дни на израилските цареви, и на јудејските цареви;
23. а таа Пасха на Господа беше празнувана во Ерусалим во осумнаесеттата година на царот Јосија.
24. Јосиј исто така ги истреби и повикувачите на мртви, и ма епсниците, и вражалците, и идолите, и сите гадови, што се сретнуваа во Јудејската земја и во Ерусалим, за да ги исполни зборовите на законот, напишан во книгата, што свештеникот Хелкиј ја најде во домот Господов.
25. Сличен на него немало цар пред него, кој се свртел кон Господа со сето свое срце, и со сета душа своја, и со сите свои сили, според целиот закон Мојсеев; и по него не се издигна сличен на него.
26. Но Господ не ја одложи големата јарост на гневот Свој, со која гневот Негов Му се разгори против Јуда за сите навреди, со кои Манасиј Го беше разгневил.
27. И Господ рече: 'И Јуда ке го отфрлам од лицето Свое, како што го отфрлив Израилот, и ке го отфрлам тој град Ерусалим, што го избрав, и домот, за кој бев рекол: ‘Таму ке биде името Мое.‘'
28. Другите работи за Јосија и за се што беше извршил тој, е опишано во летописите на јудејските цареви.
29. Во неговите дни египетскиот цар, Фараонот Нехаон, тргна против асирскиот цар на реката Ефрат. Царот Јосиј му излезе во пресрет, а оној штом го виде го уби во Мегидон, штом го виде.
30. Слугите негови го кренаа мртов од Мегидон, го пренесоа во Ерусалим и го погребаа во гробницата негова, и народот на земјата го зеде Јосиевиот син Јоахаз, го помазаа и го прогласија за цар место татко му негов.
31. Јоахаз беше на дваесет и три години, кога стана цар, и царуваше три месеци во Ерусалим; мајка му се викаше Хамутал, керка на Јеремија, од Ливна.
32. Тој го вршеше она, што не беше угодно пред очите на Господа, во се онака, како што правеа татковците негови.
33. Фараонот Нехаон го задржа во Ривла, во Ематската земја, за да не царува во Ерусалим, и наложи глоба на земјата сто таланти сребро и сто таланти злато.
34. И Фараонот Нехаон го направи цар Јосиевиот син Елијаким, место татко му Јосија, и му го промени името на Јоаким, а Јоахаз го зеде и го одведе во Египет, каде што и умре.
35. Јоаким му даваше на Фараонот сребро и злато; тој ја оцени земјата, за да го внесува среброто по заповед на фараонот; тој бараше од секого од народот на земјата, според оценката негова, сребро и злато, за да му дава на фароанот Нехаон.
36. Јоаким беше на дваесети и пет години, кога стана цар, и царуваше единаесет години во Ерусалим; мајка му се викаше Јелдаф, керка на Фадаила, од Рума.
37. И тој го вршеше она, што не беше угодно пред очите на Господа, во се онака, како што го правеа татковците негови.

Глава 24

1. Во неговите дни се крена вавилонскиот цар Навуходоносор; и Јоаким му стана потчинет за три години, но подоцна се одметна од него.
2. И Господ испрати против него мноштво Халдејци, и многу Сиријци, и многу Моавци, и многу Амонити, - ги испрати против Јуда, за да го погуби, според словото на Господа, што го беше рекол преку Своите слуги - пророците.
3. Тоа стана со Јуда по заповед на Господа, за да го отфрли од лицето Свое за гревовите на Манасија, за се она, што тој го беше извршил;
4. и за невината крв, што ја пролеа, исполнувајки го Ерусалим со невина крв, Господ не сакаше да прости.
5. Другите работи на Јоакима и за се она што тој го беше извршил, опишано е во летописите на јудејските цареви.
6. И почина Јоаким при татковците свои, а место него стана цар синот негов Јехониј.
7. Египетскиот цар веке не излегуваше од земјата своја, зашто вавилонскиот цар беше презел се, од Египетскиот поток до реката Ефрат, што му припа аше на египетскиот цар.
8. Јехониј беше на осумнаесет години кога стана цар, и царуваше три месеци во Ерусалим; мајка му се викаше Ниста, керка на Елнатана, од Ерусалим.
9. И тој го правеше она, што не беше угодно пред очите на Господа, во се онака, како што вршеше татко му.
10. Во она време слугите на вавилонскиот цар Навуходоносор настапија кон Ерусалим, и градот беше опколен.
11. Вавилонскиот цар Навуходоносор дојде до градот, што слугите негови го опседнаа.
12. Тогаш јудејскиот цар Јехониј отиде при вавилонскиот цар, тој, и мајка му, и слугите негови, кнезовите негови, и дворјаните негови, - и го зароби вавилонскиот цар во осмата година од царувањето свое,
13. и ги изнесе оттаму сите ризници на домот Господов и ризниците на царскиот дом; и ги здроби, како што беше рекол Господ, сите златни садови, кои Соломон, царот Израилев, ги беше направил за храмот Господов;
14. и го исели целиот Ерусалим, и сите кнезови, и сета храбра војска, - беа преселени десет иљади, - и сите дрводелци и ковачи; никој не остана, освен сиромасите на таа земја.
15. Тој го пресели Јехонија во Вавилон; исто така и мајка му на царот, и жените на царот, и големците негови, и големците на земјата ги одведе од Ерусалим за да ги насели во Вавилон.
16. И сета војска, на број седум иљади, и уметници и градежници иљада, сите јунаци, способни за војна, ги одведе вавилонскиот цар за да ги насели во Вавилон.
17. И вавилонскиот цар го направи цар Матанија, стрикото на Јехонија, место него, и му го промени името во Седекиј.
18. Седекиј беше на дваесет и една година, кога стана цар, и царуваше единаесет години во Ерусалим; мајка му се викаше Амитал, керка на Јеремија, од Ливна.
19. И тој го вршеше она, што не беше угодно пред очите на Господа, во се онака како што го правеше тоа Јоаким.
20. Гневот на Господа над Ерусалим и над Јуда беше толку голем, што Он ги отфрли од лицето Свое. И Седекиј се одметна од вавилонскиот цар.

Глава 25

1. Во деветтата година од царувањето свое, во десеттиот месец, на десеттиот ден од месецот, вавилонскиот цар Навуходоносор дојде со сета своја војска пред Ерусалим, го опседна и направи околу него опкоп.
2. И градот стоеше во опсада до единаесеттата година од владеењето на царот Седекиј.
3. На деветтиот ден од месецот гладот се засили во градот, и народот на земјата немаше леб.
4. Градот беше преземен, и сите воени лица избегаа ноке по патот кон портите, ме у двата ѕида, што се до царската градина; а Халдцејците стоеја околу градот, и царот отиде по патот кон рамнината.
5. Халдејската војска се спушти по царот и го стигна во Јерихонските рамнини, и сета војска негова се разбега од него.
6. Тогаш го фатија царот, го одведоа при вавилонскиот цар во Ривла и извршија над него суд;
7. синовите на Седекија ги заклаа пред очите негови, а на Седекија му ги избодоа очите, го оковаа во окови и го одведоа во Вавилон.
8. На петтиот месец, на седмиот ден од месецот, односно во деветнаесеттата година од владеењето на вавилонскиот цар Навуходоносор, дојде Навузардан, заповедник на телохранителите, слуга на вавилонскиот цар, во Ерусалим
9. и го изгоре домот Господов и царскиот дом, и сите куки во Ерусалим, и сите големи куки ги изгоре со оган;
10. и ѕидовите околу Ерусалим беа урнати од халдејската војска, што беше со заповедникот на телохранителите.
11. А другиот народ, што беше останал во градот, и одметниците, кои му се предале на вавилонскиот цар, а и другиот прот народ ги исели Навузардан, заповедникот на телохранителите.
12. Само малкумина од сиромасите на оваа земја заповедникот на телохранителите ги остави за работници во лозјата и за земјоделци.
13. И бронзените столбови во домот Господов, и подножјата, и бронзеното море во домот Господов Халдејците го испокршија и ја однесоа бронзата нивна во Вавилон;
14. и котлите, и лопатките, и штипките, и лажиците, и сите бакарни садови, што се употребуваа во службата, ги кренаа;
15. и кадилниците, и садовите, - се што имаше златно, и се што имаше сребрено, го зеде заповедникот на телохранителите;
16. столбови два, море едно, и подножјата што Соломон ги беше направил во домот Господов, - бронзата во сите тие работи немаше мерка.
17. Едниот столб беше висок осумнаесет лакти, главата му беше од бронза, а висината на главата - три лакти, и мрежата на наровите околу главата - сето тоа беше од бронза. Тоа исто го имаше и другиот столб со мрежата.
18. Заповедникот на телохранителите го зеде првосвештеникот Сераија, врориот свештеник Софанија и тројцата вратари.
19. Од градот тој зеде еден дворски човек, кој беше заповедник на воените лица, и петте души, што стоеја пред царското лице и се нао аа во градот, и главниот писар на војската, што го запишуваше во војската народот на земјата, и шеесет души од народот на земјата, кои се нао аа во градот.
20. Ги зеде Навузардан, началникот на телохранителите, и ги одведе при вавилонскиот цар во Ривла.
21. И вавилонскиот цар ги порази и ги погуби во Ривла, во земјата Емат. И Јудејците беа иселени од земјата своја.
22. А над народот, оставен во Јудејската земја, вавилонскиот цар Навуходоносор го постави за управник Годолија, синот на Ахикама, Сафанов син.
23. Кога сите војводи, тие и лу ето нивни, слушнаа дека вавилонскиот цар го поставил за

управник Годолија, дојдоа при Годолија во Масифа, односно Исмаил, синот на Натанија, Јоанан, синот Каритов, Сараја, синот Танаметов од Нето, Фатит и Језаниј, син Магатетов, тие и лу ето нивни.
24. И им се заколна Годолија ним и на лу ето нивни и им рече: 'Не плашете се што ке бидете потчинети на Халдејците; населувајте се во земјата, служете му на вавилонскиот цар и ке ви биде добро.'
25. Но во седмиот месец дојде Исмаил, синот на Натанија, Елисамов син, од царски род, со десет души, го порази Годолија, и тој умре, а и Јудејците, и Халдејците, што беа во Масифа.
26. Тогаш се крена сиот народ, од мало до големо, и војводите, па отидоа во Египет, зашто се плашеа од Халдејците.
27. Во триесет и седмата година од преселувањето на јудејскиот цар Јехонија, во дванаесеттиот месец, на дваесет и седмиот ден од месецот, вавилонскиот цар Евилмародах, во годината на царувањето свое, го изведе од затвор јудејскиот цар Јехонија,
28. говореше со него пријателски и ги постави престолот негов погоре од престолот на царевите, што беа пред него во Вавилон;
29. и му ја смени затворската облека негова; и секогаш Јехонија јадеше со него, во сите дни на животот свој.
30. За постојана издржка, му се даваше на царот, секој ден, во сите дни на животот негов.

# 1 Летописи

Глава 1

1. Адам, Сит, Енос,
2. Каинан, Малелеил, Јаред,
3. Енох, Матусал, Ламех,
4. Ное, Сим, Хам и Јафет.
5. Синови Јафетови: Гамер, Магог, Мадај, Јаван, Елиса, Товел, Мосох и Тирас.
6. Синови Гомерови: Асханаз, Рифат и Тогарма.
7. Синови Јаванови: Елиса, Тарсис, Хетим и Доданаим.
8. Синови Хамови: Хус, Месраим, Фут и Ханан.
9. Синови Хусови: Сава, Евила, Савата, Регма и Севетаха. Синови Регманови: Сева и Дадан.
10. Хус го роди и Неврода: тој почна да станува силен на земјата.
11. Месраим ги роди: Лодима, Анамима, Лавима, Фатероима и Нефтосеима,
12. Патросонима, Хаслоима, од кого произлегоа Филистејците, и Кафторимите.
13. Ханан го роди Сидона, својот првенец, и Хетеа,
14. Јевусеја, Амореја, Гаргесеја,
15. Евеја, Арукеја, Асенија,
16. Арадија, Самареја и Аматија.
17. Синови Симови: Елам, Асур, Арфаксад, Луд и Арам. Синови Арамови: Уз, Ул, Гетер и Масох.
18. Арфаксад го роди Каинана, и Каинан го роди Сала, Сала, пак, го роди Евера.
19. На Евера му се родија двајца синови: едниот се викаше Фалек, зашто во неговите дни се раздели земјата; брат му се викаше Јектан.
20. Јектан го роди Едмодада, Салефа, Асермота, Јадера,
21. Адорама, Узала, Декла,
22. Гамала, Авимеила, Сава,
23. Уфира, Евилата и Јоава. Сите тие беа Јектанови синови.
24. А синови Симови се: Арфаксад, Каинан, Сала,
25. Евер, Фалек, Рагав,
26. Серух, Нахор, Тара,
27. Аврам, тој е и Авраам.
28. Синови Авраамови: Исак и Исмаил.
29. Еве го нивниот одослов: Навајот, првениц Измаилов, по него Кидар, Навдеил, Мавсан,
30. Маома, Идума, Масиј, Ходад, Теман,
31. Јетур, Нафдес, и Кедма. Тоа се Измаиловите синови.
32. Синовите на Хетура, Авраамова наложница: таа го роди Зомврана, Језана, Мадала, Мадијама, Јесвока и Суеја. Синови Језанови: Сава и Дедан. Синови Дедановi: Рагуил, Навдеил, Асурим, Латусим и Асомин.
33. Синови Мадијамови: Гефар, Офер, Енох, Авида и Елдад. Сите тие се Хетурини синови.
34. И го роди Авраам Исака. Синови Исакови: Исав и Израил.
35. Синови Исавови: Елифаз, Рагуил, Јевул, Јеглом и Кореј.
36. Синови Елифазови: Теман, Омар, Софор, Готам, Кенез, а Тамна, Елифазова наложница, му го роди Амалика.
37. Синови Рагуилови: Махет, Заре, Соме и Мозе.
38. Синови Сирови: Лотан, Совал, Севегон, Ана, Дисон, Асер и Дисан.
39. Синови Лотанови: Хори и Еман, а сестрата Лотанова: Тамна.
40. Синови Совалови: Адуар, Манат, Увал, Сапфи и Онам. Синови Севегонови: Аија и Онам.
41. Деца Ананови: Дисон и Еливама, Анонова керка. Синови Дисонови: Амада, Есеван, Етран и Харан.
42. Синови Асорови: Валам, Занан и Илакан. Синови Дисонови: Ос и Аран.
43. Еве ги и царевите, што царуваа во земјата Едомова, пред да се зацари цар над синовите Израилеви: Валак, син Веоров, а градот негов се викаше Денава.

44. Умре Валак, а по него стана цар Јовав, синот Зарин од Восора.
45. Умре Јовав, а по него царуваше Асом, од земјата на Теманците.
46. Умре Асом, и по него стана Адад, син Варадов, кој ги порази Мадијамците во Моавското поле. Неговиот град се викаше Гетем.
47. Умре Адад, а по него цар стана Самла, од Масекас.
48. Умре Самла, и по него цар стана Саул, од Роовот, што е при реката.
49. Умре Саул, а по него цар стана Валаенон, син Аховоров.
50. Умре Валаенон, и по него цар стана Адад, син Варадов; градот му се викаше Фагор; името на жена му беше Метевеил, керка на Матраида.
51. Потоа умре и Адад. Кнезови едомски беа: кнез Теман, кнезот Алуа, кнезот Јетаф,
52. кнезот Еливама, кнезот Ила, кнезот Финон,
53. кнезот Кенез, кнезот Таман, кнезот Вамаил,
54. кнезот Гамаесил, кнезот Арераман. Тоа беа кнезовите идумејски.

Глава 2

1. Еве ги синовите на Израилот: Рувим, Симеон, Левиј, Јуда, Исахар, Завулон,
2. Дан, Јосиф, Венијамин, Нефталим, Гад и Асир.
3. Синови Јудини: Ир, Авнан и Силом, - тројцата му се родија од керката Сава, Хананејка. Ир, првенецот Јудин, беше лукав пред очите на Господа, и Он го уби.
4. Тамара, негова снаа, му го роди Фареса и Зара. Сите синови на Јуда беа пет.
5. Синовите Фаресови се: Есром и Јемуил.
6. Синовите Зарови: Замври, Итам, Емуан, Калхад и Даралеј - се на се пет.
7. Синови на Харми: Ахар, кој навлече беда врз Израилот, нарушувајки ја заклетвата.
8. Син Итамов: Азарија.
9. Синови Есромови, што му се родија: Јерамеил, Арам и Халови.
10. Арам, пак, го роди Аминадава: Аминадав го роди Наасона, кнез на Јудините синови;
11. Наасон го роди Салмона, Салмон го роди Вооза;
12. Вооз го роди Овида, Овид го роди Јесеја;
13. Јесеј го роди својот прв син Елијава, вториот Аминадава, третиот Самеа,
14. четвртиот - Натанаила, петтиот - Реила,
15. шетстиот Асак, седмиот - Давида.
16. Нивни сестри беа: Саруија и Авигеја. Синови Саруили: Авеса, Јоав и Асаил, - тројца.
17. Авигеја го роди Амеса; а татко на Амеса беше Јотор, Исмаилец.
18. Халев, синот Есромов, со жените Азува и Јериота, и еве ги синовите негови: Јасар, Сував и Ардон.
19. Умре Азува, и Халев ја зеде за жена Ефрата, а таа му го роди Ора.
20. Ор го роди Урија, а Уриј го роди Веселеила.
21. Потоа Есром влезе при керката на Махира, Галадов татко, и ја зеде, кога тој беше на шеесет години, а таа му го роди Сегува.
22. Сегув го роди Јаира; тој имаше дваесет и три града во Галадската земја,
23. бидејки од Гесурците и Сирijците ги зеде селата Јаирови и Кенат со селата, - шеесет градови. Сите тие градови беа на синовите од Махира, Галадовиот татко.
24. Откако умре Есром во Халев-Ефрат, Есромовата жена Авија му го роди Асдома, татко на Текоја.
25. Синови на Јерамеила, Есромов првенец, беа: првенецот Рам, по него Вуна, Оцем и Ахија.
26. Јарамеил имаше и друга жена, по име Атара; таа беше мајка на Унама.
27. Синови на Рама, првенец Јерамеилов, беа: Маас, Јамин и Акер.
28. Синови Унамови беа: Сама и Садај. Синови Самаеви: Надав и Ависур.
29. Жената Ависурова се викаше Авигеја, таа му ги роди Аузва и Молодија.
30. Синови Надавови: Салад и Апфаин. Салад умре бездетен.
31. Апфаиновиот син беше Јесеј, Јесеевиот син - Сосан, Сосановиот син - Дадај.
32. Синови Јадови, Шамаев брат: Ахисама, Јетер и Јонатан; Јетер умре бездетен.
33. Синови Јонатанови: Фалеф и Заза. Тоа се синовите Јерамеилови.
34. Сосан немаше синови, туку само керки. Сосан имаше еден слуга, Египтјанец, по име Јераа.
35. Сосан му ја даде керката своја за жена на својот слуга Јараа, а таа му го роди Етаја.
36. Етај го роди Натана, Натан го роди Заведа;
37. Завед го роди Офлада, Офлад го роди Јовида;
38. Јовид го роди Иуја, Иуј го роди Азарија;
39. Азарија го роди Хелиса, а Хелис го роди Елеаса;
40. Елеаса го роди Сосомаја, Сосомај го роди Салума;
41. Салум го роди Јекомија, Јекомија го роди Елисама.
42. Синови на Халева, брат Јерамеилов, беа: Мариса, негов првенец, кој е татко на Зифа, а синовите на Мариса, Хевронов татко.
43. Синови Хевронови: Кореј и Тафуј, Реком и Шема.

44. Шема го роди Раема, Јерконов татко, а Реком го роди Самаја.
45. Самаевиот син беше Маон, а Маон беше татко Ветсуров.
46. А Ефа, наложницата Халевова, го роди Арана, Моса и Газера.
47. Синови Адаеви: Регма, Јоатам, Гирсом, Фалет, Гефа и Сегав.
48. Моха, наложницара Халевова, го роди Севера и Тархана;
49. таа го роди и Сагафа, таткото на Мадмина и Саула, таткото на Мадева и татко на Аговдвеја. А керка Халеова беше Асха.
50. Еве ги синовите Халевови: син Ор, првенец од Ефрата; Сoвал, татко на Киријат-Јарима;
51. Соломон, Ветлеамов татко; Арим, Ветгедоров татко.
52. Совал, Киријат-Јаримовиот татко, имаше синови: Ара, Есиј, Аманит;
53. Умасвај, Киријат-Јарим, Мифитин, Исаматим, Иса и Мареин. Од нив потекнуваат племињата: Саратеи и Естаго.
54. Синови Салманови: Витлеемците и Нетофатците, Атаровците од Јоавовиот дом, и половината од Манатиевите Исари,
55. племињата на писарите, што живееја во Јавис, Тарга, Тим, Саматим и Сахатим, тоа се Кенејците што дојдоа од Емат, од таткото на Рихавовиот дом.

Глава 3

1. Синовите на Давида, што му се родија во Хеврон, беа: првенецот Амнон, од Ахиноама, Израилка; вториот - Далуија, од Авигеја, Кармилка;
2. третиот - Авесалом, син од Маха, керка на гесурскиот цар Толомија; четвртиот - Адониј, син на Агита;
3. петтиот - Сафатија, од Авитала; шестиот - Јетрам, од жена му Аглаја, -
4. шестина што му се родија в Хеврон; тој царуваше таму седум години и шест месеци; а триесет и три години царуваше во Ерусалим.
5. Овие, пак, му се родија во Ерусалим: Сима, Совав, Натан и Соломон - четворица од Вирсавија, керката Амиилова;
6. Евар, Елисама, Елифалет.
7. Нагис, Нефек, Јафиј,
8. Елисам, Елијадак и Елифелет - деветмина.
9. Тоа се сите синови Давидови, освен синовите од наложниците. Сестра им беше Тамара.
10. Соломонов син беше Ровоам, негов син - Авија, негов син - Аса, негов син Јосафат,
11. негов син Јорам, негов син Охозија, негов син - Јоас,
12. негов син Амасија, негов син - Азарија, негов син - Јотам,
13. негов син Ахаз, негов син - Езекија, негов син Манасија,
14. негов син - Амон, негов син - Јосија.
15. Синови Јосиеви: првенецот Јоахаз, вториот - Јоаким, третиот - Седекија, четвртиот - Селум.
16. Синови Јоакимови: Јехонија, син негов; Седекија, негов син.
17. Синови Јахониеви: Асир, Салатиил, негов син;
18. Мелхирам, Фадија, Анесар, Језекија, Осамон и Савдадија.
19. Синови Салатаилови: Зоровавел и Семеј. А синови на Зоровавела: Мосолам, и Ананија, и сестрата нивна Салимина
20. и уште петмина: Асувеј, Оел, Варахија, Асадија и Асавед.
21. Синови Ананиеви: Фалтијас и Јесија; негов син Рафал, негов син Орна, негов син Авдија, негов син Сахенија.
22. Син Сехениев: Самеа, синови Самниеви: Хатус, Јоил, Верија, Ноадија и Саф - шестмина.
23. Синови Ноадиеви: Елионеј, Езекија и Езрикам - тројца.
24. Синови Елионееви: Уадија, Елиасевон, Фадаија. Акаум, Јонан, Далеја и Анан - седмина.

Глава 4

1. Синови Јудини: Фарес, Есром, Хармиј, Ор и Совал.
2. Рада, Совалов син, го роди Јета; Јет го роди Ахимеја и Лада; од нив се родовите на Аратинците.
3. А тие се синови Етанови: Језраил, Јесман, Јевдан, и сестрата нивна, по име Есијадесфон.
4. Фануил, тако на Гедора, и Езер, татко на Осана. Тоа се синовите на Ора, првенец Ефратов, татко Витлеамов.
5. Асор, таткото на Текоа, имаше две жени: Хала и Мара.
6. Мара му ги роди Ахаза и Адера, Темана и Астира, тоа се синовите од Мара.
7. Синови од Хала: Серет, Саар, и Естанам.
8. Кос го роди: Енова и Совива и родовите на Рихава, Јаримов син.
9. Јавис беше попрочуен од своите брака. Мајка му го нарече Јавис, велејки: го родив со болки.
10. И повика Јавис кон Бога Израилев, велејки: 'О, да ме благословеше со Твоето благословие, да ги проширеше границите мои, да беше раката Твоја со мене и да ме пазеше од зло, та да не тагувам!' И Бог му го даде она за што молеше.
11. А Хелув, братот на Шуха, го роди Махира; тој е татко на Ешона.
12. Асатон го роди Сатрафа, Сефија и Тана, татко на градот Нас, брат на Селома Кенезеецот и на Ахава; тоа се жителите на Рихавави.
13. Синови Кенезеови: Готонил и Сараја, син Готонилов: Атат.
14. Манатај го роди Гофора, а Сараја го роди Јорама, таткото на оние што живееја во долината на дрводелците, зашто беа дрводелци.
15. Синови на Халева, Јефонин син: Ир, Ила и Нам. Син на Ила: Кенез.
16. Синови на Амелима: Зиф, Зефа, Тирија и Есерил.
17. Синови Езрови: Јетер, Морад, Авфер и Јамон; Јетер, пак, го роди Марона, Семеја и Јесевоја, таткото на Гедар, таткото на Естамона.
18. А жена му Адија го роди Јареда, Гедоров татко, и Авера, татко на Сохо, и Ехитла, татко на Занона. Тоа беа синови на фараоновата керка Ветија, што ја беше зел Морил.
19. Синови на жена му Одија, сестна Новамова, татко Келиов: Гармиј и Еседемон од Махата.
20. Синови Симеонови: Амнон, Рамнон, син Ананов и Тимнонов. Синови Ишиеви: Зохев и Бензохет.
21. Синови на Силома, син Јудин: Ир, татко на Леха и Лаеда, татко на Мареша, и челадта на тие, што обработуваа висон, од Ашбеевиот дом,
22. и Јоким, и жителите на Хозева, и Јоаш, и Сараф, коишто имаа владение во Моав, и Јашувилехем; но тоа се дамнешни работи.
23. Тие беа грнчари, живеејки и во градините и овшните градини; живееја таму при царот, за да му работат.
24. Синови Симеонови: Немуил, Ламин, Јарив, Зерах и Саул.
25. Негов син Шалум; негов син Мивсам; негов син Мишма.
26. Синовите на Мишма: Хамуил, син негов; неговиот син Закур, неговиот син Семеј.
27. Семеј имаше шеснаесет синови и шест керки, но браката негови немаа многу синови, и сиот нивни род не беше толку многуброен, како родот на синовите Јудини.
28. Тие живееја во Вирсавија, во Савата, во Монада и во Есерсуал,
29. во Валај, во Асем, во Толад,
30. во Ватуил, во Ерма, во Сикел,
31. во Вертшаринот, во Имисусес и домот Варусеорим. Тоа се градовите нивни до царувањето на Давида,
32. со селата нивни: Етам, Аин, Рамнон, Токан и Есар, - пет градови,
33. и сите нивни села, што беа околу тие градови до Ваал; тоа се нивните живеалишта и родословија.
34. А Месовав, Јамлех и Јосија, син на Амасија,

35. Јоил и Јеху, син на Јошива, син на Сераија, син Асиилов,
36. Елиоенај, Јакова, Ишохаија, Асаија, Адиил, Ишимиил и Ванеја,
37. и Зиза, син на Сафеја, син на Алона, син на Једаија, син на Шимрија, син Шемаиев, -
38. сите овие споменати беа кнезови над своите родови, и домот на татковците нивни се расколни многу.
39. Тие одеа до Герара и до источната страна на долината, за да најдат пасишта за стадата свои;
40. и најдоа густи и убави пасишта и широка земја, мирна и безопасна, зашто порано во нив живееја малкумина од Хамовците.
41. Па појдоа тие, запишани поименично, во дните на јудејскиот цар Езекија, па ги убија скитниците и заседнатите, што се нао аа таму, ги истребија засекогаш и се населија на местото нивно, зашто таму имаше пасишта за стадата нивни.
42. А од нив, од Симеоновите синови, петстотини души отидоа кон горната Сир; кнезови им беа: Фалтија, Ноадија, Рафаија и Озиил, синови Јесови,
43. и ги убија избеганите остатоци од Амаликијците, и живеат таму и до денес.

Глава 5

1. Синови на Рувима, првороден Израилев, - тој беше првороден; но откако ја оскверни постелата на татка си, првенството им беше дадено на синовите на Јосифа, син Израилев, но под услов да не се пишат провородени.
2. Бидејки Јуда беше најсилен ме у браката свои, тоа и водачот излегуваше од него, но првенството беше пренесено на Јосифа, -
3. синови на Рувима, провородениот Израилев, беа: Енох, Фалус, Асром и Хармиј.
4. Синови Јоилеви: Семеј и Ванеа, негов син; неговиот син Гог, неговиот син Семеј,
5. негов син Миха, негов син Риха, негов син Ваал,
6. негов син Веира, кого што асирскиот цар Теглафаласар го одведе во плен. Тој беше кнез на Рувимците.
7. А браката негови, според родовите нивни, според нивниот родословен спирок, беа: Јоил - главен, потоа Захарија
8. и Валек, син Азузов, син на Сама, син Јоилов; тој живееше во Ароир, до Наван и до Веел-Маон;
9. потоа живееше тој кон исток до влезот во пустињата, кој се протега до реката Ефрат, зашто беа многубројни во земјата Галадска.
10. Во дните на Саула, тие водеа војна со Агарјаните, а тие се настанија во шаторите нивни по целата источна страна на Галад.
11. Синовите Гадови живееја спроти нив во земјата Васанска, до Селха:
12. во Васан прив беше Јоил, втор - Сафам, потоа Јанин, книжник васански.
13. Браката нивни со челадта своја беа седум: Михаил, Мосолам, Севеј, Јорај, Јохан, Јовија и Овид, седум.
14. Еве ги синовите на Авихајла, син Рувинов, и Ади, син Галадов, син на Михаила, син Јесеинов, син Једаинов, син Вузов.
15. Ахи, син на Авдиила, син Гуниев, беше старешина во домот на својот род.
16. Тие живееја во Галад, во Васан и по селата негови и во сите околности на Сарон, дури до крајните граници нивни.
17. Тие сите беа преброени во дните на јудејскиот цар Јоатам и во дните на израилскиот цар Јеровоам.
18. Ме у потомците на Рувима и Гада и полуплемето Манасиево имаше воинствени лу е, мажи, кои носеа штит и меч, кои стрелаа со лак и свикнати на борба, - четириесет и четири иљади и седумстотини и шеесет души, што одеа во војна.
19. Тие војуваа со Агарјаните, со Итурејците, Нафисејците, Надавјеците.
20. И помош им беше дадена против нив, и Агарјаните беа предадени во рацете нивни со се, што имаа, зашто во времето на борбите тие го повикуваа Господа, и Он ги услишуваше, зашто на Него се надеваа.
21. И ги зедоа стадата нивни: педесет иљади камили, ситен добиток двесте и педесет иљади, осли две иљади и сто иљади лу е.
22. зашто ранети паднаа многу, бидејки борбата беше од Бога. И живееја на нивното место до преселувањето.
23. Потомците од племето Манасиево живееја во таа земја од Васан до Ваал-Ермон и Санир и до горaта Ермон; и тие беа многу.
24. Еве ги нивните старешини: Гофер, Јеси, Елиил, Јеремија, Јодија и Једиил, мажи силни, мажи прочуени, глави на родовите свои.
25. но кога згрешија против Бога на татковците свои и почнаа да одат блудно по боговите на народите во таа земја, кои Бог ги беше изгонил од пред лицето нивно,
26. тогаш Бог Израилев го возбуди духот на асирскиот цар Фула и духот на асирскиот цар Теглатфаласара, и тие г преселија Рувимците и Гадовците и полуплемето Манасиево и ги одведоа во Алаи, Јовор и Аран и на реката Гозан, - каде што се и до ден денешен.

Глава 6

1. Синови Левиеви беа: Герсон, Кат и Мерари.
2. Синови Катови: Амрам, Исар, Хеврон и Озил.
3. Деца Амрамови: Арон, Мојсеј и Маријам. Синови Аронови: Надав, Авиуд, Елеазар и Итамар.
4. Елеазар го роди Финеса, Финес го роди Авиуда;
5. Аиуд го роди Вокија, Вокиј го роди Озија;
6. Озија го роди Сареја, Сареј го роди Мариота;
7. Мариот го роди Амарија, Амарија го роди Ахитова;
8. Ахитов го роди Садока, Садок го роди Ахимаса;
9. Ахимас го роди Азарија, Азарија го роди Јоанана;
10. Јоанан го роди Азарија, - тоа е оној, што беше свештеник во изградениот храм од Соломна во Ерусалим.
11. Азарија го роди Амарија, Амарија го роди Ахитова;
12. Ахитов го роди Садока, Садок го роди Селума;
13. Селум го роди Хелкија, Хелкија го роди Азарија;
14. Азарија го роди Сареја, Сареј го роди Јоседека;
15. Јоседек отиде во плен, кога Господ ги пресели Јудејците и ерусалимците преку раката Навуходоносорова.
16. И така, синови Левиеви беа: Герсон, Кат и Мерари.
17. Еве ги имињата на Герсоновите синови: Ловениј и Семеј.
18. Синови Катови: Амрам, Исар, Хеврон и Озил.
19. Синови Мерариеви: Моли и Муси. Тоа се потомците Левиеви според родовите нивни.
20. Герсон имаше: Лавениј, негов син; Јет, син негов; Семна, негов син;
21. Јол, негов син; Адо, негов син; Зара, негов син; Јетри, негов син.
22. Синови Катови: Исар, син негов; Аминадав, негов син; Кореј, негов син, Асир, негов син;
23. Елкана, негов син; Ависаф, негов син; Асир, негов син;
24. Кат, негов син; Урил, негов син; Озија негов син; Саул, негов син.
25. Синови на Елкана: Амаси и Амиот.
26. Елкана, негов син; Суфиј, негов син; Нат, негов син;
27. Елијаб, негов син; Јеремеил, негов син; Елкана, негов син; Самуил, негов син.
28. Синови Самуилови: провородениот Јоил, втор Авија.
29. Синови Самуилови: провородениот Јоил, втор Авија.
30. Сама, негов син; Ананија, негов син; Асаија, негов син.
31. Ете, нив ги постави Давид да пеат над пеачите во Господовиот дом, откако го внесе во него ковчегот.
32. Тие служеа како пеачи пред скинијата на сведоштвото, додека Соломон го изгради домот Господов во Ерусалим. Тие настапуваа во службата своја според редот свој.
33. Еве ги оние што настапуваа со синовите свои: од синовите Катови - Еман, пеач, син на Јоила, син на Самуила,
34. син на Елкана, син на Јеремеила, син на Елијава, син Нафов
35. син на Суфа, син на Елкана, син на Амиота, син на Амаса,
36. Син на Елкана, син на Јоила, син на Аварија, син на Сафанија,
37. син на Мата, син на Асера, син на Авијасара, син на Кореја,
38. син на Аминадава, син на Кита, син на Исара, син Левиин, син Израилев.
39. И брат му Асаф, кој стоеше од десната страна негова, - Асаф, син на Варахија, син на Сама,
40. син на Михаила, син Масилов, син на Мелиев,
41. син Атаниев, син Зараев, син Адаев,
42. син Итамов, син Земин, син Семеев,
43. син Јетов, син Герсонов, син Левиев.
44. А од синовите на Мерари, нивните брака, - на левата страна: Етам, син Хусиев, син Авдиев,

син Малохов,
45. син Савиев, син Амасиев, син Хелкиев,
46. син Амсиев, синот Ваниев, синот Самиров,
47. синот Молиев, синот Мусиев, синот Мерариев, син Левиев.
48. Браката нивни, левитите, беа определени за секаква служба при Божјиот дом;
49. Арон, пак, и синовите негови ги изгоруваа приносите врз жртвеникот и врз кадилниот жртвеник извршуваа секое свештенодејствие во Свјатаја Свјатих и за исчистување на Израилот во се, како што беше заповедал Божјиот слуга Мојсеј.
50. Еве ги синовите Аронови: Елеазар, син негов; Финес, син негов; Авиуд, син негов;
51. Вокхи, негов син; Озиј, негов син, Сареј, негов син;
52. Мариот, негов син; Амариј, негов син; Ахиров, негов син;
53. Садок, негов син; Ахимас, негов син.
54. Еве ги нивните живеалишта според селата нивни во нивните предели: на синовите Аронови од родот Катов, според она што им се падна со жреб;
55. го дадоа Хеврон, во земјата Јудина, и околината негова;
56. а нивите на тој град и селата негови му ги дадоа на Халева, синот Јефониев.
57. На Ароновите синови им ги дадоа и прибежишните градови: Хеврон и Ловна со околиите нивни, Јатир и Естемој со околината негова,
58. Илон и околината негова, Давир и околината негова,
59. Асан со околината негова и Ветсамис со околината негова; и Ветсур со околината негова,
60. а од племето Венијаминово - Гаваон и околината негова, Еламот со околината негова, и Еламвеј со околината негова и Анатот со околината негова; сите нивни градови во родовите нивни беа тринаесет града.
61. На другите синови Катови од челадта на тоа племе им дадоа со жреб десет града од делот на полуплемето Манасиево.
62. На синовите Гирсонови, според родовите нивни, од племето Исахарово, од племето Асирово, од племето Нефталимово и од племето Манасиево во Васан им дадоа тринаесет градови.
63. На синовите Мерариеви, според родовите нивни, од племето Рувимово, од племето Гадово, и од племето Завулоново им дадоа со жреб дванаесет градови.
64. Така синовите Израилеви им ги раздадоа на левитите градовите со околините нивни.
65. Ги дадоа со жреб од племето на Јудините синови, од племето на Симеоновите синови и од племето на Венијаминовите синови оние градови, кои тие ги искажаа поименично.
66. А не некои родови од Катовите синови им беа дадени градовите од Ефремовото племе.
67. И им ги дадоа прибежишните градови: Сихем и околината негова на гората Ефремова, Газер и околината негова,
68. Екман и околината негова, Веторон и околината негова,
69. Елон со околината негова и Гатремон и околината негова;
70. од полуплемето Манасиево - Анеир со околината негова и Јевлам со околината негова, тоа за семејствата на другите синови Катови.
71. На синовите Гирсонови од полуплемето Манасиево им го дадоа Голан во Васан со околината негова и Асирот со околината негова;
72. по племето Исахарово - Кедес и околината негова, Надар и околината негова,
73. Рамот со околината негова и Енан со околината негова;
74. од племето Асирово - Масал и околината негова Равот и околината негова,
75. Хукок со околината негова и Реов со околината негова;
76. од племето Нефталимово - Кадис во Галилеја и околината негова, Хамон со околината негова и Каријатаим со околината негова.
77. А на другите синови Мерариеви - од племето Завулоново, Ремон со околината негова и Тавор со околината негова.
78. Од онаа страна на Јордан, спроти Јерихон, на исток од Јордан, од племето Рувимово го

дадоа Восор во пустињата и околината негова, Јаса и околината негова.
79. Кадимот со околината негова и Моапсат со околината негова.
80. од племето Гадово - Рамот во Галад и околината негова, Маханаим и околината негова,
81. Есевон со околината негова и Јазир со околината негова.

Глава 7

1. Синови Исахарови беа: Тола, Фуа, Јасув и Сомврам, четворица.
2. Синови Толови: Озиј, Рафеј, Јерил, Амин, Јавтам и Самуил, старешини на домовите во Толовите поколенија, мажи воинствени во своите родови; нивниот број во Давидовите дни беше дваесет и две иљади и шестотини.
3. Озиев син: Језриј; а Језриеви синови: Михаил, Абдиј, Јоил и Јесиј - петмина. Сите тие беа старешини.
4. Тие имаа, според родовите свои и поколенијата свои, триесет и шест иљади готова војска за борба, зашто имаа многу жени и синови.
5. А браката нивни во сите поколенија Исахарови беа до осумдесет и седум иљади, мажи борбени, запишани во родословните списоци.
6. Венијамин имаше синови: Валај, Ховор и Једиил - тројца.
7. Синови на Валај: Есевон, Озиј, Озиил, Јеримут и Уриј - петмина, старешини, мажи воинствени. Во родословните списоци запишани дваесет и две иљади и триесет и четири.
8. Синови Вохорови: Замир, Јоав, Елиезер, Елијан, Амриј, Јеремот, Авиј, Анатот и Елметем; сите тие се синови Вохорови.
9. Во родословните списоци од нив се запишани, по родовите и по старешинство, мажи борбени - дваесет иљади и двесте.
10. Једиилев син: Валаам; синови Валаамови: Јеос, Венијамин, Лот, Аханан, Зитан, Тарис, Асаир.
11. Сите тие синови Једиилеви беа старешини на домови, мажи воинствени; кои одеа во војна, беа седумнаесет иљади и двесте.
12. Сафан и Ифан беа синови Јеримутови; Есуд беше син Ахиров;
13. а синовите Нафталимови: Јасиил, Гуниј, Јесер и Селам беа деца од Вала.
14. Синови Манасиеви: Језриил, кого го роди наложницата негова, Арамејка; таа го роди уште Махира, Галадов татко.
15. Махир ја зеде за жена сестрата на Орфира и Сафина, - сестрата нивна се викаше Маха; вториот син на Манасија се викаше Салпад. Салпад имаше само керки.
16. Маха, жената Махирова, роди син и го нарече Фарес, а брат му се викаше Сорор. Негови синови: Улам и Ракам.
17. Уламов син: Бедан. Тоа беа синови на Галада, син на Махира, син Манасиев.
18. Сестра му Малехет го роди Јесуда, Авиезера и Мала.
19. Семирови синови беа: Аим, Сихем, Лахин и Енијам.
20. Ефремови синови: Тусалам; и Веред, негов син, Тахат, негов син, Елеад, негов син, Тахат, негов син,
21. Завад, негов син, Сотела, негов син, Езер и Езлад. Нив ги убија жителите гетски, родени во таа земја, затоа што беа отишле да ги заграбат стадата нивни.
22. И татко им Ефрем плачеше по нив многу денови, а браката негови доа аа да го утешуваат.
23. Потоа тој влезе при жена си; таа зачна и роди син, и тој го нарече со името Варија, затоа што зло го снајде домот негов.
24. Тој имаше и керка Сара. Таа го изгради Долни и Горни Веторон и Садра.
25. Негов син беше Рафај; негови синови Расеф и Талај; Таан, негов син,
26. Ладан, негов син, Амиуд, негов син, Елисама, негов син,
27. Нун, негов син, и Јосиј, негов син.
28. Имотот нивни и живеалиштата нивни беа: Ветил и селата негови: кон исток Наран, кон запат Газер и селата нивни; Сихем и нему потчинетите градови дури до Газа со селата нејзини,
29. и други до пределите на синовите Манасиеви: Ветсан и селата негови, Танах со селата негови, Магедон со селата потчинети, Дор и потчинетите села. Во нив живееја синовите на Јосифа. Израилев син.
30. Синови Асирови: Јамна, Јесва, Јесвај, Варија и сестра им Сареа.

31. Синови Вариеви: Ховер и Мелхил. Тој е татко Заветов.
32. Ховер го роди Јафлета, Сомира, Хотана и сестра им Сула.
33. Синови Јафлетови: Фасех, Амамат и Асот. Тоа беа синови Јафлетови.
34. Синови Сомирови: Ахи, Рога, Јехува и Арам.
35. Синови на Хелема, негов брат: Софа, Јамна, Елим и Алам.
36. Синови Софови: Суе, Аријафер, Суан, Ворин и Имрам,
37. Восор, Ход, Сама, Селимван, Итран и Веера.
38. Синови Јетерови: Јетон, Фасфа и Арej.
39. Синови Оланови: Орех, Аниил и Расија.
40. Сите тие беа синови Асирови, старешини на домовите, избрани мажи, борбени, кнезови, војводи. Запишани беа во нивните родословни списоци, за војна, на број дваесет и шест иљади души.

Глава 8

1. Венијамин го роди Вала, својот првенец, Азвила - втор, Дисра - трет,
2. Наула - четврти и Рафа - петти.
3. Синови на Вала беа: Адир, Гир, Авиуд,
4. Ависуј, Ноаман, Ахиј,
5. Гира, Сефуфам и Урам.
6. Еве ги синовите Ехудови, кои беа старешини на родовите, што живееја во Гава и беа преселини во Манахат:
7. Наман, Ахија и Гира, којшто ги пресели; тој го роди Азана и Нуа,
8. Сеорим роди деца на Моавската земја, откако ги напушти жените свои Осима и Вада.
9. Тој ги роди од жените си Коала: Јовава, Самија, Мис, Мелхама,
10. Јоаса, Сехија и Мармија; тоа се негови синови, оценачалници.
11. Од Осима тој ги роди Амитова и Елифада.
12. Синови Елифадови: Евер, Мисроам, Самиил, - којшто го изгради Анон, Лодон и нему потчинетите градови, -
13. Варија и Сама. Тие беа кнезови на Еламските жители. Тие ги изгонија гетските жители.
14. Сосил, Јеримот,
15. Зевадија, Орид, Авад,
16. Мосолам, Јесфа, Језија, беа Вариеви синови.
17. Зевадија, Мосолам, Азаки, Авер,
18. Јасиј, Самрам, и Језелија и Јоав, беа синови Алфадови.
19. Јаким, Хезриј, Завдиј,
20. Елионај, Салтиј и Елиил,
21. Адаија, Вареа и Самарат беа синови Семееви
22. Јесфан, Авер, Елеил,
23. Авдон, Зехриј, Анан,
24. Ананија, Илам, Анататија,
25. Јефадија и Фануил беа синови Сосикови.
26. Самоас, Сареја, Етнија,
27. Јарсија, Илија, и Зехрија беа синов Јеромаимови.
28. Тие беа кнезови, главни во родовите свои. Тие живееја во Ерусалим.
29. Во Гаваон се настанија: Јеила, таткото на Гаваонците - жена му се викаше Маха, -
30. и првородениот му син Авдон, а по него: Сур, Кис, Ваел, Надав, Нир,
31. Гедор, Ајуј, и брат му Саур и Махелод.
32. Махелод го роди Сама. И тие живееја до браката свои во Ерусалим, заедно со браката свои.
33. Нир, го роди Киса; Кис го роди Саула; Саул го роди Јонатана, Мелхисуа, Аминадава и Јесвала.
34. Јонатанов син беше Мемфивал; Мемфивал го роди Миха.
35. Синови на Миха: Фитот, Малот, Тарес и Ахаз.
36. Ахаз го роди Јада: Јад го роди Салемета, Асмота и Замврија; Замвриј го роди Меса;
37. Меса го роди Вана; Рафеј беше негов син; Еласа, негов син; Асаил, негов син.
38. Асаил имаше шестмина синови, и еве ги имињата нивни: Езрикам, Исмаил, Азарија, Авдија, Сараја и Анан; тие сите беа синови Асаилови.
39. Синови на Асека, негов брат: Улам негов првороден, втор - Јесус, трет - Елифас.
40. Синовите Уламови беа мажи воинствени, стрелци со лак, имаа многу синови и внуци; сто и педесет. Сите тие беа од синовите Венијаминови.

Глава 9

1. Така беа пребројани според родовите свои сите Израилци, и, ете, тие се запишани во книгите на израилските цареви. А Јудејците заради беззаконијата свои беа преселени во Вавилон.
2. Првите жители, што живееја во своите владенија, по израилските градови, беа Израилци, свештеници, левити и Нетинејци.
3. Во Ерусалим живееја некои од Јудините синови и од синовите Венијаминови, како и од синовите Ефремови и Манасиеви:
4. Утиј, син Амиудов, син на Амври, син на Амераима, син Ваниев, - од синовите на Фареса, Јудиниот син;
5. од синовите Силонови - Асаија, првороден, и синовите негови;
6. од синовите на Зара - Јеил и браката нивни, - шестотини и деведесет;
7. од синовите Венијаминови - Салу, син на Васолама, син на Одуаје, син Сануев;
8. Јевна, син Јероамов, Елав, син на Озија, син Махиров; Мосолам, син на Сафатија, син на Рагуила, син Јеваниев,
9. и браката нивни според родовите нивни: деветстотини и педесет и шест, - сите тие мажи беа кнезови на родовите во поколенијата свои.
10. А од свештениците: Јодај, Јоарим, Јоаким,
11. Азарија, син на Хелкија, син на Мосолама, син на Садока, син на Марариота, син Ахитов, кој беше началник на Божјиот дом;
12. Адијам, син на Јероама, син на Фастура, син Мелхиаев; Маасиј, син Адиилов, син Езиров, син на Мосолама, син на Маселамота, син Емаров,
13. и браката нивни, кнезови на родовите свои: иљада и седумстотини и шеест, - мажи истакнати во службата своја во Божјиот дом.
14. А од левитите: Семеја Асуев син, син на Езраикама, син Савиев, - од синовите Мерариеви;
15. Ваквакар, Арис, Гареа и Матанија, син на Миха, син на Зехрија, син Асафов;
16. Авдија, син Семеев, син на Галила, син на Идитуна, и Варахија, син на Аса, син на Елкана кој живееше во Нетофатските села.
17. А вратари: Селум, Акум, Телмон, Еман и браката нивни; Селум беше главен.
18. Тие се и до денес вратари при царската порта кон исток и ја одржуваат стражата на синовите Левиеви.
19. Селум, син Кореов, син на Авијасафа, син на Кореја, и браката негови од неговиот род, - Кореевци, по службата беа стражари при праговите на скинијата, а татковците нивни го чуваа влезот во Господовиот дом.
20. Финеес, син Елеазаров, беше водач нивни, и Господ беше со него.
21. Захарија, син Мосоламов, беше вратар при вратата во скинијата на сведоштвото.
22. Сите тие, избрани за вратари при праговите, беа двесте и дванаесет. Тие се запишани во списокот според нивните села. Нив ги поставија Давид и Самуил јасновидецот заради верноста нивна.
23. Тие и синовите нивни чуваа стража при вратата на домот Господов, при домот на скинијата.
24. Вратари имаше на четирите страни: на источната, западната, северната и јужната.
25. А браката нивни живееја во своите села и доа аа одвреме - навреме при нив за седум дена.
26. Тие четворица први вратари, левитите, беа доверени лица; тие исто така беа поставени при живеалиштата и сокровиштата на Божјиот дом.
27. Тие престојуваа и ноке околу Божјиот дом, бидејки ним им беше наложено да го чуваат, и тие беа должни секое утро да ги отвораат вратите.
28. Некои од нив беа поставени при службените садови, кои ги примаа со број и даваа со број.
29. На други од нив им беа доверени другите садови и сите свештени потреби: најчисто брашно, вино, елеј, темјан и мирисите.

30. А некои од свештеничките синови подготвуваа миро, од разни миризливи материи.
31. А на левиотот Мататија, првороден на Кореецот Селум, му беше доверено она, што се подготвува во тавче.
32. На некои од браката нивни, од синовите Катови им беше доверено да ги приготвуваа лебовите на предложението, за да ги принесуваат секоја сабота.
33. А певците, главните во левитските поколенија, во собите на храмот беа ослободени од работа, бидејќи беа должни да се занимаваат дење и ноќе со својата служба.
34. Тоа се левитските кнезови, главни во родовите свои. Тие живееја во Ерусалим.
35. Во Гаваон живееја: Јеил, татко на Гаваонците, - жена му се викаше Маха, -
36. и првородениот син негов Авадон; по него: Сур, Кис, Вал, Нир, Надав,
37. Гедор, Ајун, Зехрија и Макелот.
38. Макелот го роди Сама. И тие живееја до браката свои во Ерусалим, заедно со браката свои.
39. Нир го роди Киса, Кис го роди Саула, Саул го роди Јонатана, Мелхиса, Аминадава и Јесфала.
40. Јонатанов син беше Мемфивал; Мемфивал го роди Миха.
41. Синови на Миха: Филот, Мехиил, Тара и Хаз.
42. Хас го роди Јада; Јад го роди Алета, Асмота и Замврија, Замврij го роди Меса.
43. Мес го роди Ванија; Рафеја беше негов син; Еласа, негов син, Асаил, негов син.
44. Асаил имаше шестмина синови, и еве ги имињата нивни: Езрикам, Исмаил, Азарија, Авдија, Анан и Аса. Тоа се синовите Асаилови.

Глава 10

1. Филистејците војуваа против Израилот, и Израилците бегаа од Филистејците и па аа поразени на горага Гелвуја.
2. Филистејците го гонеа Саула и синовите негови и ги убија Јонатана, Аминадава и Мелихисуа, синови Саулови.
3. Битката против Саула се засили, и стрелците се нафрлија врз него, така што тој беше изнаранет од стрелците.
4. Саул му рече на својот оружјеносец: 'Извади го мечот свој и уби ме со него, за да не дојдат тие необразани и да се подбиваат со мене.' Но оружјеносецот не се осмелуваше, зашто многу се беше уплашил. Тогаш Саул го зеде мечот свој и падна врз него.
5. Оружјеносецот негов, кога виде, дека Саул умре, и самиот падна врз мечот свој и умре.
6. Загина Саул и тројцата синови негови, и целиот дом негов загина заедно со него.
7. Кога Израилците, што беа во долината, видоа, деака сите бегаат и дека Саул и синовите негови се убиени, ги напуштија градовите свои и се разбегаа; а Филистејците дојдоа и се населија во нив.
8. На другиот ден Филистејците дојдоа да ги соберат убиените и го најдоа Саула и синовите негови, паднати на Гелвујската гора.
9. Го соблекоа Саула и му ја зедоа главата и оружјето, и испратија по земјата Филистејска да разгласат за тоа пред своите идоли и пред народот.
10. Оружјето негово го ставија во идолското светилиште пред своите богови, а главата негова ја наденаа во домот на Дагона.
11. И целиот Јавис Галадски чу се, што беа извршиле Филистејците со Саула.
12. Потоа станаа сите силни мажи, го зедоа телото Саулово и телата на синовите негови и ги однесоа во Јавис; тие ги закопаа коските нивни под дабот во Јавис и постеа седум дена.
13. Така умре Саул поради своето беззаконие, што го направи пред Господа, затоа што не ги запази зборовите Господови и се допрашуваше до вражачите,
14. а не Го побара Господа. Затоа Он и го погуби и царството негово и го предаде на Давида, Јесеевиот син.

Глава 11

1. Се собраа сите Израилци при Давида во Хеврон и рекоа: 'Еве, ние сме коска твоја и плот твоја;
2. и вчера и завчера, кога Саул беше уште цар, ти го изведуваше и го воведуваше Израилот: и Господ, Бог твој, ти рече: ‘Ти ке го пасеш Мојот народ Израилот и ти ке бидеш водач на Израилот, Мојот народ.‘'
3. Тогаш сите старешини Израилеви дојдоа при царот во Хеврон, и Давид склучи со нив завет во Хеврон пред лицето Господово, и тие го помазаа Давида за цар над Израилот, според словото Господово преку Самуила.
4. И тргна Давид и сиот Израил за Ерусалим, односно за Јевус. А таму беа Јевусејците, жители на таа земја.
5. Жителите на Јевус му рекоа на Давида: 'Нема да влезеш тука.' Но Давид ја презеде тврдината Сион: тоа е градот Давидов.
6. И рече Давид: 'Кој од сите вас најнапред ке ги победи Јевусејците, ке стане кнез и војвода.' Најнапред од сите излезе Јоав, Саруевиот син, и стана кнез.
7. Давид живееше во таа тврдина, и затоа ја нарекуваа Давидов град.
8. Тој изгради ѕидови околу градот, почнувајки од Милон па се наоколу; Јоав, пак, ги обнови другите делови на градот.
9. Давид напредуваше и се воздигаше се повеке и повеке, и Господ Саваот беше со него.
10. Еве ги поглавните Давидови јунаци, кои се бореа храбро со него во царството негово, заедно со сиот Израил, за да го зацарат над Израилот според словото Господово.
11. Еве го и бројот на јунаците што беа при Давида: Јесвал, син Ахаманиев, прв од триесеттемина: тој го извелче мечот свој против триста души и наеднаш ги порази.
12. По него Елеазар, синот на Ахохиецот Додо - еден од тројцата јунаци:
13. Тој беше со Давида во Фаседомин, каде што Филистејците се беа собрале за војна. Таму еден дел од полето беше посеано со јачмен, и народот избега од Филистејците;
14. но тие се запреа среде полето, ги забележаа и ги поразија Филистејците. И Господ даде големо спасение на Своите лу е.
15. Тие тројцата главни од триесеттемина водачи се качија на карпата при Давида во пештерата Одолам, а, пак, филистејскиот логор беше сместен во Рефаимската долина.
16. Давид во тоа време беше во утврдено место, а стражата филистејска беше во Витлеем.
17. Давид ожедне и рече: 'Кој ке ми донесе да пијам вода од Витлеемскиот извор, што е при портите?'
18. Тогаш тие тројца се провреа низ филистејскиот логор, зафатија вода од Витлеемскиот извор, што е при портите, та му донесоа на Давида. Но Давид не сакаше да пие, туку ја излеа во слава на Господа.
19. и рече: 'Да ме чува Господ, тоа да го направам! Зар ке ја пијам крвта на оние мажи, што ги изложија душите свои! Зашто со опасност по животот свој тие ја донесоа водата.' - И не сакаше да ја пие. Еве што извршија тие тројца јунаци.
20. И Авеса, братот Јоавов, беше главен ме у тројцата: тој уби со мечот свој триста души и се прослави ме у тие тројца.
21. Од тројцата тој беше највиден и беше водач, но на тие тројца не им беше рамен.
22. Ванеја, синот на храбриот маж Јодај, голем по делата, родум од Кавасаил, ги уби двајцата синови на Ариила Моавски; тој истиот слезе и уби лав во еден ров по снежно време;
23. пак тој уби еден Египтјанец, кои беше пет лакти висок: Египтјанецот имаше во раката копје колу едно ткаечко кросно, а тој пристапи кон него со стап и, откако му го изби копјето од раката на Египтјаницот, го уби со неговото копје.
24. Тоа токму го изврши Јодаевиот син Ванеја, и беше славен ме у тие тројца јунаци;
25. тој беше повиден од триесеттемина, но на оние тројцата не им беше рамен, и Давид го постави за најблизок исполнител на своите заповеди.

26. А главни од борците беа: Асаил, брат на Јоава; Елеанан, син на Додо, од Витлеем;
27. Самот Адитијанин, Хелки Афелонин;
28. Ореј, син на Кис Текуитски; Авиезер Анатотски;
29. Совохај Асотиски; Илиј Ахојски;
30. Воорај Нетофатец; Елад, син на Вајнак, Нетофатецот;
31. Итај, син Ривеинов, од Гава Венијаминова; Ванеја Фаратонијев;
32. Уриј од Неал; Галсавил од Аравеја;
33. Азмот Варсамијски; Елијав Саламијски; Ирас Гоиниски.
34. Синови на Гизонецот Хасема: Јонатан син на Сагти, Арариецот;
35. Ахијам, син Сахаров, Арариец: Зифаил, син на Орин;
36. Афер Мехуратински; Ахија Фелониски;
37. Асарај Мармелински; Noорај, син Авдиев;
38. Јоил, брат Натанов; Мехар, син Тараиев;
39. Селик Амонец; Наареј Виродин, оружјеносец на Јоава, син Саруев;
40. Ира Јетериин; Гарив и Териин;
41. Урија Хетеецот; Вазат, син Олиев;
42. Адина, син на Саха, кнез на Рувимовците, и тој имаше триесет;
43. Анан, син на Мааха; Јосафат Татанин;
44. Озија Астарот; Сама и Јеил, синови на Хотан од Ароир;
45. Једил, син Самерин, и Јоза, негов брат Тосанец;
46. Јелиил од Маоин, и Арива и Осоја, синови Елијамови, Енам и Устем, Моавци;
47. Елиил, Овид и Јесиил од Месовија.

Глава 12

1. Еве ги оние кои исто така дојдоа при Давида во Сикелаг, кога тој уште се криеше од Кисовиот син Саула; тие беа од јунаците, што помагаа во борбата,
2. вооружени со лак, фрлаа со десната и со левата рака камења и пуштаа стрели со лак, беа од браката Саулови, од Венијамина;
3. кнез беше Ахизер, по нека Јоас, синови на Сама од Гива; Јазиил и Фалит, синови Замотови; Варихија и Јуј од Анатот;
4. Самија од Гаваон, јунак од триесетмина и водач на триесетмината; Еремија, Језекил, Јоанан и Јозават од Гадара;
5. Елиозиј, Јеримут, Валија, Самарија, Сафатија од Аруфа;
6. Елкана, Јесија, Уелиил, Језар, и Јесвал, од Кореевците;
7. и Јоил и Завадија, синови на Јероама, од Гедор.
8. При Давида во крепоста, во пустињата дојдоа мажи јунаци, од Гадовците, воинствени, вооружени со штит и копје; лицата нивни - лицата лавовски, брзи како елени в гора.
9. Главен беше Азер, втор Авдија, трет - Алијад.
10. четврти Масман, петти - Јеремија,
11. шести - Јетија, седми - Елиил,
12. осми Јоанан, деветти - Елзавал,
13. десетти - Јеремија, единаесетти - Махавенај.
14. Тие, синовите Гадови, беа војводи во војската: најмалиот над сто души, а најголемиот над иљада.
15. Тие минаа преку Јордан во првиот месец, кога тој се излива од бреговите свои, и ги прогонија сите оние што живееја во долините кон исток и запад.
16. Исто така и синовите Венијаминови и Јудини дојдоа во тврдината при Давида.
17. Давид излезе да ги пресретне и им рече: 'Ако сте дошле со мир при мене, за да ми помагате, тогаш јас и вие да имаме едно срце; но, ако доа ате, за да ме предадете со заговор на непријателите мои, кога нема во рацете мои неправда, Бог на татковците наши нека види и нека суди.'
18. И дух го опфати Амасија, водачот на триесеттемина, и тој рече: 'Мир на тебе, Давиде, мир со тебе сине Јесеев! Мир на тебе, мир и на твоите помошници! Зашто твојот Бог ти помага.' Тогаш Давид ги прими и ги постави на чело на војската.
19. И од Манасиевото племе преминаа некои кон Давида, кога војуваше со Филистејците против Саула. Но Давид не им помогна на Филистејците, зашто војводите Филистејски, откако се посоветуваа, го испратија велејки: 'За наше зло, тој ке побегне при својот господар Саула.'
20. Кога се вракаше Давид во Сикелаг, прибегнаа кон него племињата Манасиеви: Еднај, Јозавад, Михаил, Јосафат, Једиил, Елиу, Салатиј, иљадници кај Манасиевите.
21. Тие му помагаа на Давида против четите на Гедур, зашто сите беа мажи храбри и беа началници на војската.
22. Така секој ден придоа аа кај Давида на помош до толку, што неговата војска стана голема како војската Божја.
23. Еве го бројот на кнезовите во војската, што дојдоа при Давида во Хеврон, за да му го предадат царството Саулово, според словото Господово;
24. Јудини синови, што носеа штит и копје, имаше подготвени за војна шест иљади и осумстотини;
25. од синовите Симеонови, мажи храбри, имаше во војската седум иљади и сто;
26. од синовите Левиеви - четири иљади и шестотини;
27. дојде и Јодај, кнез од Ароновиот род, и со него три иљади и седумстотини;
28. и Садок, храбар јунак, и родот негов - дваесет и двајца кнезови;
29. од синовите Венијаминови, браката Саулови, дојдоа три иљади; но уште многумина од нив му веа верни на Сауловиот дом;

30. од синовите Ефремови - дваесет иљади и осумстотини храбри јунаци, мажи прочуени во родовите свои;
31. од полуплемето Манасиево - осумнаесет иљади, кои поименично беа повикани, за да одат да го зацарат Давида;
32. од синовите Исахарови дојдоа мажи разумни, кои ги познаваа времињата и знаеја кога и што треба да изврши Израилот; тие беа двесте кнезови, и сите брака нивни одеа по зборовите нивни;
33. од племето Завулоново имаше готови за борба, вооружени со секакви воени оружја, педесет иљади, во строј, еднодушни;
34. од племето Нефталимово - иљада војводи и со нив триесет и седум иљади со штитови и копја;
35. од племето Даново - дваесет и осум иљади и шестотини, спремни за војна;
36. од Асира - четириесет иљади војници, подготвени за борба;
37. од онаа страна на Јордан, од племето Рувимово и Гадово и од полуплемето Манасиево, сто и дваесет иљади, со секакво воено оружје.
38. Сите тие борци, наредени во строј, дојдоа со полно срце во Хеврон, за да го зацарат Давида над целиот Израил. Па и сите други Израилци беа еднодушни да го зацарат Давида.
39. И останаа таму при Давида три дена, јадеа и пиеја, зашто браката им беа подготвиле се за нив;
40. па и оние што беа поблиску до нив, дури до Исахаровото, Завулоновото и Нефталимовото племе, им донесуваа на осли, камили, маски и волови се за јадење: брашно, смокви, суво грозје, вино и елеј, како и многу ситен и крупен добиток, бидејќи радоста беше голема за Израилот.

Глава 13

1. Давид се советуваше со иљадниците, стотниците и со сите војводи,
2. и му кажаа на целото собрание израилско: ако ви е угодно, и ако благослови Господ, Бог
наш, да испратиме до другите наши брака насекаде по целата Израилска земја, а исто така и
до свештениците и левитите во градовите и селата нивни, за да се соберат при нас,
3. и да го пренесеме Ковчегот на нашиот Бог при нас, зашто во Сауловите дни не се
обрнувавме кон него.'
4. И целото собрание рече: 'Така нека биде!' зашто тоа му се виде праведно на целиот народ.
5. Така Давид ги собра сите Израилци, од Сихор Египетски до влезот во Емат, за да го
пренесат Ковчетот Божји од Киријат-Јарим.
6. И отиде Давид и сиот Израил во Кириат-Јарим, што е во Јудеја, за да го пренесат оттаму
Ковчегот на Бога, Господа, Кој седи на херувими, врз кого се повикува Неговото име.
7. И го повезоа Ковчегот на нова кола од домот Аминадавов, а Оз и браката негови ја водеа
колата.
8. Давид, пак, и сите Израилци свиреа со сета сила пред Бога, со пеење на гусли, псалтири,
тимпани и труби.
9. Кога стигнаа до Хидоновото гумно, Оз посегна со раката да го придржи Ковчегот, бидејки
воловите го беа настраниле.
10. Но Господ се разгневи на Оза и го порази поради тоа што посегна со рака кон Ковчегот, и
тој умре на самото место пред Божјото лице.
11. Давид се нажали затоа што Господ го порази Оза. И го нарече тоа место Озов пораз; така
се нарекува и до ден денешен.
12. И во тој ден Давид се уплаши од Бога и рече: 'Како ке го внесам при себеси Ковчегот
Божји?'
13. И не го пренесе Давид Ковчегот при себеси во Давидовиот град, туку го сврте кон куката
на Гетецот Аведар.
14. И стоеше Ковчегот Божји кај Аведара во куката негова три месеци, и Господ го благослови
Аведаровиот дом и се што имаше.

Глава 14

1. Тирскиот цар Хирам испрати при Давида пратеници, кедрови дрвја, и каменоделци, за да му изградат дом.
2. Откако разбра Давид, дека Господ го утврдил за цар над Израилот, дека царството негово се воздигнува високо, заради народот негов Израилот.
3. тој си зеде уште жени во Ерусалим, и му се родија уште синови и керки.
4. Еве ги имињата на оние, што му се родија во Ерусалим: Сам, Совав, Натан и Соломон,
5. Јевеар, Елисуј, Елифалет,
6. Нагед, Нафат, Јафија,
7. Елисам, Валијад, Елифалет.
8. И слушнаа Филистејците, дека Давид бил помазан за цар над целиот Израил, и сите тие се кренаа да го бараат Давида. А Давид, откако разбра, излезе против нив.
9. Филистејците дојдоа и се распоредија во Рефаимската долина.
10. Давид го праша Бога, велејки: 'Да одам ли против Филистејците, и ке ги предадеш ли во рацете мои?' Господ му одговори: 'Оди, Јас ке ги предадам во рацете твои.'
11. Тие отидоа во Ваал-Фарасин, и таму ги порази Давид. И рече Давид: 'Бог ги пресече моите непријатели преку раката моја како воден пролом.' Затоа и го нарекоа тоа место Ваал-Фарасин.
12. И Филистејците ги оставија боговите свои таму, а Давид заповеда, та ги изгореа со оган.
13. И пак дојдоа Филистејците и се улогорија во долината.
14. Давид пак го праша Бога, и Бог му одговори: 'Не оди прави во пресрет нивни, туку скршни од нив и оди кон нив откај црниците;
15. и кога ке чуеш шум како од врвеж по црничини врвови, тогаш почни ја борбата, зашто Бог ке излезе пред тебе, за да го порази филистејскиот логор.'
16. Давид направи така, како што му заповеда Господ, и го порази филистејскиот логор, од Гаваон до Газер.
17. И Давидовото име се разнесе по сите земји, и Господ го направи страшно за сите народи.

Глава 15

1. Тогаш си изгради тој палата во Давидовиот град, подготви место за Ковчегот Божји и направи скинија за него.
2. И рече Давид: 'Никој не смее да го носи Ковчегот Божји, освен левитите, бидејќи нив ги избра Господ, за да го носат Ковчегот на Бога и да му служат засекогаш.'
3. И ги собра Давид сите Израилци во Ерусалим, за да го внесат Ковчегот Господов на местото негово, што беше го поставил за него.
4. Па ги свика Давид синовите Аронови и левитите:
5. од синовите Каатови, началникот Урил и браката негови - сто и дваесет души;
6. од синовите Маrариеви, началникот Асаија и браката негови - двесте и дваесет души;
7. од синовите Гирсонови, началникот Јоила и браката негови - сто и триесет души;
8. од синовите Елисафанови, начланикот Семеја и браката негови - двесте;
9. од синовите Хевронови, началникот Елиила и браката негови - осумдесет;
10. од синовите Озиилови, начланикот Аминадава и браката негови - сто и дванаесет.
11. И ги повика Давид свештениците: Садока и Авијатара, и левитите: Урила, Асаија, Јоила, Семеја, Елиила и Аминадава,
12. и им рече: 'Вие, началници на левитските родови, осветете се, вие и браката ваши, и однесете го Ковчегот на Господа, Бога Израилев, на местото, што сум му го подготвил;
13. и поради тоа што порано не го вршевте вие тоа, Господ, Бог наш, не рааздели, затоа што не Го баравме, како што требаше.'
14. И се осветија свштениците и левитите, за да го носат ковчегот на Господа, Бога Израилев.
15. И синовите левитски го понесоа ковчегот Божји, како што беше заповедал Мојсеј според словото Господово, на раменици, со лостови.
16. Тогаш Давид им заповеда на левитските началници да ги постават браката свои певци со свирки - псалтири, гусли и кимвали, да разгласат со висок радосен глас.
17. Левитите го поставија Јоиловиот син Етана, и од бракате негови - Варахиевиот син Асаф, а од синовите Мерариеви, нивни брака - Кисеовиот син Етан;
18. и со нив браката нивни, второстепени: Захарија, Озила, Семирамота, Јеила, Ананија, Елијава, Ванеја, Масија, Мататаија, Елифала, Макенија и Авдеда, Јеила и Озија вратари.
19. Еман, Асаф и Етан свиреа високо на бакарни кимвали,
20. а Захарија, Озиил, Семирамот, Јехил, Ананиј, Елиав, Масија и Ванеја - на псалтири, со тенок глас.
21. А Мататија, Елифала, Макенеј, Авдедом, Јеил и Озија - на гусли, за да преземаат.
22. Хоненија, пак, началник левитски, беше учител по пеење, зашто беше вешт во пеењето.
23. Варахија и Елкана беа вратари при Ковчегот.
24. Совенија, Јосафат, Натанаил, Амасија, Захарија, Ванаја и Елиезер, свештеници, трубеа со труби пред Ковчегот Божји. Авдедом и Јехија беа вратари при Ковчегот.
25. И така Давид и старешините Израилеви и иљадниците отидоа да го пренесат Ковчегот на заветот Господов од домот на Авдедома со веселба.
26. И кога Бог им помогна на левитите, што го носеа Ковчегот на заветот Господов, заклаа како жртва седум телиња и седум овни.
27. Давид беше огрнат со наметка од тенко платно, а исто така и сите левити, како и певците што го носеа Ковчегот, Хоненија, кој раководеше со свирачите и со певците. Давид носеше и ленен ефод.
28. И така сиот Израил го внесуваше Ковчегот на заветот со извици, при звуци од рог, труби и кимвали, свирејќи на псалтири и гусли.
29. Кога Ковчегот на заветот Господов влегуваше во Давидовиот град, Мелхола, Сауловата керка, гледаше од прозорецот и, откако го виде царот Давид како игра и се весели, го презре во срцето свое.

Глава 16

1. Го донесоа Ковчегот Божји и го поставија среде скинијата, што ја беше направил Давид за него и му принесе на Бога жртви сепаленици, и мирни жртви.
2. Кога Давид заврши со сепалениците и принесувањето на мирни жртви, го благослови народот во името Господово,
3. и им раздаде на сите Израилци, и на мажи и на жени, по еден леб, по едно парче месо и по чаша вино.
4. Тогаш постави тој на служба пред Ковчегот Господов некои од левитите, за да славословат, да благодарат и да Го превознесуваат Господа, Бога Израилев:
5. Асафа - за раководител, втор по него - Захарија, Јеила, Семирамота, Јеила, Мататија, Елијава, Ванеја, Авдедома и Јеила со псалтири и гусли, и Асафа - да свири на кимвали,
6. а Ванеја и Озила, свештеници, - да трубат постојано пред Ковчегот на заветот Божји.
7. Во тој ден Давид за првпат даде псалм за савословие на Господа преку Асафа и браката негови:
8. 'Славете Го Господа, разгласувајте го името Негово; кажувајте ги делата Негови ме у народите;
9. пејте Му, свирете Му; раскажувајте за сите негови чудеса;
10. фалете се со Неговото свето име; нека се весели срцето на оние, кои Го бараа Господа;
11. побарајте Го Господа и силата Негова, барајте го непрастајно лицето Негово,
12. спомнувајте ги чудесата, што ги изврши, знаците Негови и судовите од устата Негова;
13. вие, семе Израилево, слуги Негови, синови Јаковови, избраници Негови!
14. Он е Господ, Бог наш; Неговите сугови се по целата земја.
15. Помнете го вечно заветот Негов, словото, што го заповеда за иљада родови,
16. она, што му го вети на Авраама и во кое му се колнеше на Исака.
17. Он му ја постави на Јакова за закон и на Израилот за вечен завет,
18. велејки: ‘Тебе ке ти ја дадам земјата Хананска, како ваш наследен дел.‘
19. Тие тогаш беа малубројни, оти се намалија и во неа беа придојдени,
20. и преминуваа од народ кон народ и од едно царство кон друго племе;
21. но не дозволи никому да ги навредува и ги изобличуваше заради нив царевите:
22. ‘не допирајте се до Моите помазаници и не правете им зло на Моите пророци.‘
23. Пеј Му на Господа, цела земјо, благовестете го од ден во ден спасението Негово.
24. Разгласувајте ја ме у незнабошците славата Негова, и ме у сите лу е чудесата Негови,
25. зашто Господ е голем и многу треба да Го хвали, пострашен од сите богови.
26. Оти сите богови на народите се ништо, а Господ ги создаде небесата.
27. Слава и величие пред лицето Негово, сила и радост во Неговото Свето место.
28. Воздајте Му на Господа, племиња народни, воздајте Му на Господа слава и чест.
29. Воздајте Му ја на Господа славата на името Негово. Замете дар, одете пред лицето Негово, поклонете Му се на Господа со влелепие во светлината Негова.
30. Трепери пред Него, цела земјо, зашто Он ја основа вселената, и таа нема да се разниша.
31. Нека се веселат небесата, да торжествува земјата, и нека се вели ме у народите: ‘Господ царува!‘
32. Нека се бранува морето и се што го исполнува, да се радува полето и се што е на него.
33. Да ликуваат заедно сите дрвја во дубравите пред лицето на Господа, зашто Он доа а да ја суди земјата.
34. Славете Го Господа, зашто милоста Му е засекогаш,
35. и речете: 'Спаси не, Боже, Спасителе наш! Собери не и избави не од народите, за да го славиме Твоето свето име и да се фалиме со Твојата слава!
36. Благословен Господ, Бог Израилев, отсекогаш и засекогаш!' И сиот народ рече: 'Амин, алулуја!'
37. Давид ги остави таму, пред Ковчегот на Заветот Господов, Асафа и браката негови, за да

служат пред Ковчегот постојано, секој ден,
38. Авдедон и бракате негови, шеесет и осум души; Авдедом, син Идитунов, и Оса - за вратари;
39. а свештеникот Садок и браката негови свештеници ги остави пред Господовиот дом, што беше на висината на Гаваон,
40. за да принесуваат жртви на Господа врз жртвеникот за сепаленици постојано - наутро и навечер, и за се што е пишано во законот на Господа, што Он му го даде на Израилот;
41. и со нив Емана и Идитума и другите избраници, кои беа именувани посебно, за да Го слават Господа, зашто милоста Негова е засекогаш.
42. Со нив Емана и Идитума да Го слават Бога, свирејки со труби и кимвали и со разни свирки; а синовите Идитумови ги постави при вратата.
43. Потоа се разотиде сиот народ, секој во домот свој; си отиде и Давид, за да го благослови својот дом.

Глава 17

1. Кога Давид живееше во својот дом, му рече на пророкот Натана 'Еве, јас живеам во кедров дом, а ковчегот на заветот Господов е под шатор.'
2. А Натан му одговори на Давида: 'Врши се што ти е на срце, зашто Господ е со тебе.'
3. Но во истата нок му дојде словото Божјо на Натана:
4. 'Оди и кажи му на слугата Мој Давида: вака вели Господ: ‘Ти нема да ми изградиш дом, каде што ке живеам,
5. зашто Јас не сум живеел во дом од денот кога ги изведов синовите Израилеви, и до денес, а одев од шатор во шатор и од живеалиште во живеалиште.
6. Каде и да одев со сиот Израил, му реков ли, макар и збор, на некого од судиите Израилски, на кои им бев заповедал да му бидат пастири на Мојот народ: ‘зошто не ми изградите кедров дом?‘
7. И сега вака кажи му на Мојот слуга Давид: вака вели Господ Саваот: Те зедов од овчото стадо, за да те направам водач на Мојот народ Израилот;
8. бев со тебе секогаш, каде и да одеше, ги поразив сите твои непријатели пред лицето твое и го направив името твое како името на големите по земјата;
9. подготвив место за Мојот народ Израилот, го зацврстив, и тој ке живее спокојно на своето место, и нема повеке да го вознемируваат, нечестивите нема повеке да го притискаат, како порано,
10. во оние дни, кога Јас бев поставил судии над Мојот народ Израилот, и Јас бев ги смирил сите твои непријатели, и те известив, дека Господ ке ти изгради дом.
11. Кога ке се исполнат твоите дни, и ти ке се прибереш кај татковците свои, тогаш ке го подигнам твоето семе по тебе, што ке биде од синовите твои, и ке го зацврстам царстово негово.
12. Тој ке Ми изгради дом, и ке го утврдам престолот негов засекогаш.
13. Јас ке му бидам татко, и тој ке Ми биде син, и милоста Своја нема да ја кренам од него, како што ја кренав од оној што беше пред тебе.
14. ке го поставам во Мојот дом и во Моето царство засекогаш, престолот негов ке биде вечно цврст.'
15. Сите тие зборови и целото видение Натан точно му ги раскажа на Давида.
16. Цар Давид дојде, застана пред лицето Господово и рече: 'Кој сум јас, Господе Боже, и што е мојот дом, та толку ме подигна?
17. Но и тоа се покажа малку во Твоите очи, Боже; ти навестуваш за домот на Твојот слуга далечна иднина и гледаш на мене како на голем човек, Господи Боже!
18. Што уште може да прибави пред Тебе Давид, за да се возвеличи Твојот слуга? Ти го знаеш Својот слуга!
19. Господи, за Твојот слуга, според срцето Свое, Ти ги вршиш сите тие големи дела, објавувајки го ова сето величие.
20. Господи, по се она што го чув со ушите свои, сличен на Тебе нема и нема Бог освен Тебе.
21. И кој е сличен на Твојот народ Израилот, единствен народ на земјата, кај кој доа ал Бог, да го искупи за својот народ, за да се здобие со име на големи и страшни дела, - преку прогонување на народите од лицето на Својот народ, кој го спаси од Египет Ти.
22. Ти го направи Твојот народ Израилот Свој сопствен народ засекогаш и Ти, Господи, стана негов Бог.
23. И така, сега, о Господи, утврди го засекогаш словото, што си му го кажал на Твојот слуга и за неговиот дом, и направи, според она како што си кажал.
24. Нека се зацврсти и нека се возвеличи Твоето име засекогаш, за да велат: ‘Господ Саваот, Бог Израилев, е Бог на Израилот, и домот на Твојот слуга Давида да биде цврст пред Твоето лице.
25. Зашто Ти, Боже мој, му јави на Твојот слуга, дека ке му изградиш дом, та затоа и Твојот

слуга се осмели да се моли пред Тебе.
26. И сега, Господи, Ти си Бог, и Ти го вети за Твојот слуга тоа добро.
27. Почни, пак, да го благословуваш домот на Твојот слуга, за да биде вечен пред Твоето лице; зашто, ако Ти, Господи, ги благословиш, ке биде благословен засекогаш.'

Глава 18

1. Потоа Давид ги порази Филистејците и ги покори, па го преземе Гет и нему потчинетите градови од рацете на Филистејците.
2. Тој ги порази и Моавците, и Моавците станаа робови на Давида и му даваа данок.
3. Давид го порази и сувскиот цар Адраазар во Емат, кога тој одеше да ја утврди власта своја при реката Еуфрат.
4. И зеде Давид од него иљада коли, седум иљади коњаници и дваесет иљади пешаци; и ги уништи Давид сите коли, оставајки од нив само сто.
5. Дамаските Сиријци сакаа да му дојдат на помош на сувскиот цар Адраазара, но Давид порази двесте и две иљади Сиријци.
6. Давид постави стража во Сирија Дамаска, и Сиријците му станаа на Давида робови и му плакаа данок. Така му помагаше Господ на Давида секогаш, каде и да одеше.
7. Давид ги одзеде златните штитови, што ги носеа Адраазаровите слуги, и ги донесе во Ерусалим.
8. А од Метавет и од избраните Адраазарови градови, Давид однесе мошне многу бакар. Од него Соломон ги направи бакарното море и столбовите, и бакарните садови.
9. Кога чу за тоа ематскиот цар Тоа, дека Давид ја поразил целата војска на сувскиот цар Адраазар,
10. го испрати синот свој Адурама при царот Давида, да го поздрави и да му благодари, поради тоа што војувал со Адраазара и го поразил - зашто Тоа беше во војна со Адраазара, - и по него испрати секакви садови златни, сребрени и бакарни.
11. Царот Давид му ги посвети на Господа, заедно со среброто и златото, што го беше одзел од сите народи: Идумејците, Моавците, Амонитите, Филистејците и Амаликијците.
12. И Саруевиот син Авеса во Солената Долина порази осумнаесет иљади Идумејци;
13. и постави во Идумеја стража, и сите Идумејци му станаа робови на Давида. Господ му помагаше на Давида секогаш, каде и да одеше.
14. И царуваше Давид на сиот Израил и делеше суд и правда на сиот народ свој.
15. Јоав, Саруевиот син, беше војвода над војската, а Јосафат, Ахилудовиот син - летописец,
16. Садок, синот Ахитов, и Авимелех, синот Авијатаров, беа свештеници, а Суса - писар,
17. Ванеја, синот Јодаев, беше над Хетејците и Фелетејците, додека синовите Давидови беа први при царот.

Глава 19

1. Потоа умре Нас, цар амонитски, и место него стана цар синот негов.
2. Тогаш Давид рече: 'Ќе покажам милост кон Анона, Насовиот син, заради доброто, што ми го направи таткото негов.' И Давид испрати пратеници да го утешат за татка му. Давидовите слуги дојдоа во земјата Амонитска при Анона, за да го утешат.
3. Но амонитските кнезови му рекоа на Анона; 'Зар мислиш, дека поради почит кон татка ти Дави испрати при тебе утешители? Зар слугите негови не дошле при тебе за да разузнаат и да ја разгледаат земјата, та да ја завладеат?'
4. Тогаш Анон ги фати слугите Давидови и ги избричи и им ја потсече облеката до половина, до крстот, и ги испрати.
5. И тие си отидоа. Кога му соопштија на Давида за тие лу е, тој испрати да ги пречекаат, бидејки беа необично многу обезличени, за да им кажат од царот: 'Останете во Јерихон, додека да ви пораснат брадите, тогаш вратете се!'
6. Кога Амонитите видоа, дека му станале омразни на Давида, тогаш Анон и Амонитите испратија иљада таланти сребро, за да најмат коли и коњаници од Сирија Месопотамиска, од Сирија Махова и од Сува.
7. И најмија триесет и две иљади коли и царот Маха со народот негов, кои дојдоа и се улогорија спроти Медева. Се собраа и Амонитите од градовите свои и излегоа на војна.
8. Кога Давид чу за тоа, го испрати Јоава со сета војска - јунаци.
9. Амонитите излегоа и се наредија за борба пред градските порти, а царевите, што беа дошле, - одделно во полето.
10. Јоав, откако виде, дека му претстои борба однапред и одзади, ги одбра сите избрани војници во Израилот и ги нареди спроти Сирijците.
11. А другиот дел од народот му го довери на братот свој Авеса, за да се распореди спроти Амонитите.
12. И тогаш рече: 'Ако Сиријците почнат да ме надвиваат, ке ми помогнеш ти; ако, пак, Амонитите почнат да те надвиваат тебе, јас ке ти помогнам.
13. Биди храбар, и да стоиме цврсто за нашиот народ и за градовите на нашиот Бог, и Господ нека направи, како што Му е угодно.'
14. И влезе Јоав и лу ето, што беа со него, во борба со Сиријците, и тие избегаа од него.
15. Амонитите, пак, штом видоа, дека Сиријците бегаат, избегаа и тие од братот негов Авеса, и навлегоа во градот. Тогаш Јоав си отиде во Ерусалим.
16. Сиријците, откако видоа, дека се победени од Израилците испратија пратеници и ги изведоа Сиријците, што беа од онаа страна на реката; ги предводеше Софак, воен првоначалник Адраазаров.
17. Кога му соопштија за тоа на Давида, тој ги собра сите Израилци, го преминаа Јордан и, откако дојде кај нив, се распореди спроти нив. И влезе Давид во борба со Сиријците, и тие се судрија со него.
18. И Сиријците избегаа од Израилците, и Давид им уништи седум иљади коли на Сиријците, и четириесет иљади пешаци, а воениот првоначланик Софака го уби.
19. Кога видоа лу ето Адраазарови, дека Израилците ги поразија, со Давида склучија мир и му се потчинија. И Сирјиците не сакаа повеке да им помагаат на Амонитите.

Глава 20

1. По една година, во времето, кога царевите излегуваа во војна, Јоав ја изведе војската и почна да ја опустошува Амонитската земја, и отиде, па ја опседна Рава. А Давид беше останал во Ерусалим. Јоав ја освои Рава и ја разруши.
2. И го зеде Давид венецот на царот нивни од главата негова; во него се најде талант злато на мерка, и скапоцени камења имаше на него; му го ставија на главата на Давида. И прилично голем плен изнесоа од градот.
3. А лу ето, што беа во него, ги изведушаше и ги сотираше со триони, со железни чекани и секири. Така постапи Давид со амонитските градови; па се врати Давид и сиот народ во Ерусалим.
4. Потоа почна војна со Филистејците во Газер. Тогаш Совохај Хуситецот го уби Сафута, еден од Рефаимовите потомци. И тие се смирија.
5. И пак имаше војна со Филистејците. Тогаш Елеанин, синот Јаиров, го уби Лаомија, Голијатовиот брат, Гетеец, во кого дршката на копјето беше колку ткаечко кросно.
6. Имаше борба и во Гет. Таму имаше еден човек со голем раст, на кого прстите му беа по шест - се двесет и четири. И тој беше од Рефаимовите потомци.
7. Тој го навредуваше Израилот, но Јонатан, син на Давидовиот брат Самаја, го уби.
8. Тие се беа родиле од Рефаимовците во Гет, и паднаа од раката на Давида и од рацете на слугите негови.

Глава 21

1. Се крена сатаната против Израилот и го поттикна Давида да ги преброи Израилците.
2. И Давид му рече на Јоава и на началниците народни: 'Одете, пребројте ги Израилците од Вирсавија до Дан, и соопштете ми за да го знам бројот нивни.'
3. Јоав рече: 'Да го намножи Господ народот Свој стопати повеке, отколку што е! Сите тие, господаре мој, царе, нели се слуги на мојот господар? Зошто го сака тоа мојот господар? Зошто тоа да се запише како грев на Израилот?'
4. Но царскиот збор надвладеа над Јоава. И отиде Јоав, та го обиколи сиот Израил, и дојде во Ерусалим.
5. И му даде Јоав на Давида список на пребореniот народ. Сите Израилци беа иљада иљади, и сто иљади мажи мечоносци, и Јудејци четиристотини и седумдесет иљади мечоносци.
6. А левитите и Венијаминовите не ги преброи со нив, зашто царскиот збор му беше одвратен на Јоава.
7. Тоа нешто не беше угодно во очите на Бога, и Он го порази Израилот.
8. И Давид Му рече на Бога: 'Многу згрешив, што го направив тоа. Сега прости му ја вината на Твојот слуга, зашто постапив многу неразумно.
9. И му рече Господ на Гада, јасновидецот Давидов:
10. 'Оди и кажи му на Давида: вака вели Господ: Тие казни ти предлагам; избери си една од нив, и Јас ке ја испратам врз тебе.'
11. Дојде Гад при Давида и му рече: 'Така вели Господ избери си:
12. ‘или три години глад, или три месеци да бидеш прогонуван од твоите непријатели, и мечот на твоите непријатели да се допира до тебе; или три дена мечот Господов и помор по земјата и Ангел Господов да убива по сите предели на Израилот.‘ И така, види што да Му одговорам на Оној, Кој ме испрати со овие зборови.'
13. Давид му одговори на Гада: 'Многу ми е тешко, но подобро да паднам во рацете на Господа, зашто милосрдието Негово е многу големо; само да не паднам во рацете човечки.'
14. И испрати Господ помор на Израилот, и умреа седумдесет иљади души Израилци.
15. Па го испрати Господ Ангелот во Ерусалим, за да го истребува. И кога почна да го истребува, Господ виде и се покаја порати тоа зло, и му рече на Ангелот истребител: 'Доста! Сега спушти ја раката своја!' А Ангелот тогаш стоеше над гумното на Јевусеецот Орна.
16. Давид ги крена очите и го виде Ангелот Господов како стои ме у небото и земјата со гол меч во раката негова, протегнат над Ерусалим; и падна Давид ничкум и старешините, покриени со врекишта.
17. И Му рече Давид на Господа: 'Нели јас наредив да го пребројат народот? Јас згрешив, јас направив зло, а овие овци што направиле? Господи, Боже мој! Нека биде Твојата рака врз мене и врз мојот татков дом, а на врз Твојот народ, за да го погубиш.'
18. И Ангелот Господов му рече на Гада, за да му каже на Давида: 'Нека дојде Давид и нека постави жртвеник на Господа врз гумното на Јевусеецот Орна.'
19. Давид отиде, според зборовите на Гада, кој му говореше од името Господово.
20. Орна се сврти, го вида Ангелот, и четворицата синови негови се сокрија со него. Орна тогаш вршеше пченица.
21. Дојде Давид при Орна. Орна, откако погледа и го вида Давида, излезе од гумното и му се поклони на Давида ничкум до земја.
22. Давид му рече на Орна: 'Дај ми го местото на гумново, јас ке изградам на него жртвеник на Господа; дај ми го за онолку колку што чини, за да се прекине истребувањето на народот.'
23. Орна му одговори на Давида: 'Земи го: нека мојот цар-господар прави што му е волја; еве, ги давам и воловите за сепаленици, и плуговите дрвени, и пченицата - за принос; сето тоа го давам како дар.'
24. Царот Давид му рече на Орна: 'Не, јас сакам да го купам тоа од тебе за онолку колку што чини, зашто нема да Му принесувам на Господа твој имот и нема да принесувам сепаленици од

нешто, земено како подарок.'
25. И Давид му даде на Орна за она место шестотини сикли злато.
26. Па изгради Давид таму жртвеник на Господа и Му принесе сепаленици и мирни жртви; и Го призва Господа, и Он го послуша, испракајќи оган од небото врз жртвеникот за сепаленици.
27. Тогаш Господ му рече на Ангелот: 'Врати го мечот свој во ножницата негова!'
28. Во тоа време Давид, откако виде дека Господ го послуша на гумното на Јевусеецот Орна, таму принесе жртва.
29. А Господовата скинија, што беше ја направил Мојсеј во пустињата, и жртвеникот за сепаленици во тоа време се најдоа на Гаваонската висина.
30. И Давид не можеше да оди таму, за да Го побара Бога, зашто беше уплашен од мечот на Ангелот Господов.

Глава 22

1. И рече Давид: 'Еве го домот на Господа Бога, еве го и жртвеникот за сепаленици на Израилот.'
2. Па заповеда Давид да ги соберат придојдените, што беа во земјата Израилска и одреди каменоделци да делкаат камења за изградба на дом Божји.
3. Давид подготви уште многу железо за шајки по крилата на вратите и за куки, и многу бакар - без мерка,
4. и кедрово дрво без број, зашто Сидонците и Тирците му доставија на Давида многу кедрово дрво.
5. И рече Давид: 'Синот мој Соломон е млад и слаб, а домот, што ке се гради за Господа, треба да биде многу величествен, за слава и за приказ по сите земји; затоа јас ке му приготвам се што треба за него. И приготви Давид до смртта своја многу.
6. И го повика синот свој Соломон и му заповеда да изгради дом на Господа, Бога Израилев.
7. И му рече Давид на Соломона: 'Сине, имав на срце да изградам дом на името на мојот Господ, Бог,
8. но би кон мене словото Господово и ми се рече: 'Ти си пролеал многу крв и си водел големи војни; ти не бива да градиш дом на името Мое, зашто си пролеал многу крв на земјата пред лицето Мое.
9. Еве, ке ти се роди син: тој ке биде мирен човек; ке му дадам спокојство од сите околни непријатели, затоа името негово ке биде Соломон. Во неговите дни ке му дадам на Израилот мир и спокојство.
10. Тој ке изгради дом на името Мое и ке ми биде син, а Јас нему - татко, и така ке го зацврсти престолот на царството негово над Израилот довека.
11. А сега, сине, Господ нека биде со тебе, та да имаш благослов и да Му изградиш дом на Господа, твојот Бог, според тоа како што Он рече за тебе.
12. Да ти даде Господ мудрост и разум и да те постави над Израилот; и запази го законот на Господа, твојот Бог!
13. Така ке имаш успех, кога ке земеш да ги извршуваш наредбите и законите, што Господ му ги заповеда на Мојсеја за Израилот. Биде цврст и храбар, не плаши се и не па ај со духот!
14. И еве, јас при скудноста своја приготвив за домот Господов сто иљади таланти злато, иљада таланти сребро, а бакарот и железото мерка немаат, зашто се во големи количин; дрва и камења исто така подготвив, а ти придодај уште кон тоа.
15. Имаш многу работници, и каменоделци, и резбари, и дрводелци, и вешти лу е за секаква работа.
16. Злато, сребро, бакар и железо - без број; продолжи и работи; Господ ке биде со тебе.'
17. И им заповеда Давид на сите кнезови израилски да му помагаат на синот негов Соломона:
18. 'Зар не е со вас Господ, Бог наш, Кој ви даде спокојство од секаде? Оти Он ги предаде во мои раце жителите на оваа земја, и земјата се покори пред Господа и пред Неговиот народ.
19. И така, расположете го срцето свое и душата своја, за да Го побарате Господа, вашиот Бог. Станете и изградете светилиште на Господа Бога, за да го пренесете ковчегот на заветот Господов и свештените садови Божји во домот, што ке се гради на името Господово!'

Глава 23

1. Кога остаре и се засити од животот, Давид го постави за цар над Израилот синот свој Соломона.
2. И ги собра сите кнезови израилски, свештениците и левитите;
3. а левитите од триесет години и нагоре беа преброени: бројот нивни, на сите до еден, беше триесет и осум иљади души.
4. Од нив беа определени за работа во домот Господов дваесет и четири иљади, писари и судии - шест иљади,
5. четири иљади вратари и четири иљади, оние што ке Го слават Господа со свирки, направени од Давида за прославување на Господа.
6. И ги раздели Давид на смени според Левиевите синови - Гирсона, Ката и Мерарија.
7. Од Гирсоновите беа: Ладан и Семеј.
8. Синови Ладанови: прв Јеил, Зетам и Јоил - тројца.
9. Синови Семееви: Саломит, Азиил и Арам - тројца. Тие беа Ладанови родовски старешини.
10. А и уште синовите Семееви: Јет, Зизај, Јоас, Верија. Тоа беа синови Семееви - четворица.
11. Јед беше главен, Зизај втор; Јоас и Верија имаа малку деца, затоа беа приброени со татковиот дом.
12. Синовиет Катови: Амврам, Исар, Хеврон и Озил - четворица.
13. Синовите Амврамови: Арон и Мојсеј. Арон беше определен да биде посветен при Свјатаја Свајтих довека, тој и синовите негови, за да кадат пред лицето на Господа, да Му служат и да го благословуваат Неговото име довека.
14. А Мојсеј, човек Божји, и синовите негови беа придодадени кон Левиевото племе.
15. Синови Мојсееви: Гирсон и Елиезер.
16. Синови Гирсонови: прв беше Суваил.
17. Синови Елиезерови беа: прв Равија. Други синови Елиезер немаше; а Равија имаше многу синови.
18. Синови Исахарови: прв Салумот.
19. Синови Хевронови: прв Јериав, втор Амарија, трет Јазиил и четврти Језекија.
20. Синови Озиилови: прв Миха и втор Јесија.
21. Синови Мерариеви: Моли и Муси. Синови Молиеви: Елеазар и Кис.
22. Елеазар умре и немаше синови, туку само керки; и се оженија со нив синови Кисови, нивни братучеди.
23. Синови Мусиеви: Моли, Едер и Јаримот - тројца.
24. Тоа беа синовите Левиеви според домовите на татковците нивни, глави на домовите, што беа преброени поименично, сите до еден, а кои ги вршеа службите во домот Господов, од дваесет години нагоре.
25. Зашто Давид рече: 'Господ, Бог Израилев, му даде мир на својот народ и го насели во Ерусалим засекогаш,
26. та левитите нема да имаат потреба да ја носат скинијата и секакви нејзини предмети за служење во неа.'
27. Затоа, според последните Давидови заповеди, беа преброени левитите од дваесет години и нагоре,
28. за да бидата при синовите Аронови, да служат во домот Господов, во дворот и во тремовите, да пазат на чистота во целото светилиште и да вршат секоја служба во Божјиот дом;
29. да ги надгледуваат лебовите на предложението, пченично брашно за лебен принос, пресни пити, се печено и пржено и над сите мерки и тежини;
30. да почнуваат секое утро да благодарат и да Го славословат Господа, како и навечер,
31. при сите сепаленици, принесувани на Господа во саботни дни, во новомесечијата и во празниците според бројот, како што е заповедано за нив, - постојано пред лицето на Господа, -

32. и да ја пазат скинијата на сведоштвото, светилиштето и синовите Аронови нивни брака, при службите во домот Господов.

Глава 24

1. Еве го и распоредот на синовите Аронови: Ароновите синови: Надав, Авиуд, Елеазар и Итамар.
2. Надав и Авиуд умреа пред таткото свој, а синови немаа, затоа свештенодејствуваа Елеазар и Итамар.
3. И Давид ги распореди: Садока - од синовите Елеазарови, и Авимелеха - од синовите Итамарови, според редот на службите нивни.
4. И се најде, дека ме у синовите Елеазарови имаше повеке старешини, отколку ме у синовите Итамарови. И тој ги распореди вака: од синовите Елеазарови - шеснаесет старешини, а од синовите Итамарови - осум.
5. А ги распоредуваше со жреб, зашто старешините во светилиштето и старешините пред Бога беа од синовите Елеазарови и од синовите Итамарови;
6. и ги запиша Семаја, синот Натанаилов, писар од левитите, пред лицето на царот и кнезовите и пред свештениците Садока и Авимелеха, Авијатаровиот син, и пред старешините на свештеничките и левитските домови: кога се фрлаше жреб, зедоа еден од Елеазаровиот род, потоа зедоа еден од Итамаровиот род.
7. Првиот жреб падна на Јоарима, вториот за Једија,
8. третиот - за Харива, четвртиот - за Сеорима,
9. петтиот - за Мелхија, шестиот - за Мејамина,
10. седмиот - за Акоса, осмиот - за Авија,
11. деветтиот - за Јисуја, десеттиот за Сехенија,
12. единаесеттиот - за Елијасива, дванаесеттиот - за Јакима,
13. тринаесеттиот - за Офаја, четиринаесеттиот - за Јасваја,
14. петнаесеттиот - за Велгија, шеснаесеттиот - за Емира,
15. седумнаесеттиот - за Езира, осумнаесеттиот - за Афисиса,
16. деветнаесеттиот - за Фетија, дваесеттиот - за Језекиила,
17. дваесет и првиот - за Јахина, дваесет и вториот - за Гамуила,
18. дваесет и третиот - за Далеја, дваесет и четвртиот - за Леила.
19. Тоа беше нивниот ред при службата нивна за доа ање во домот Господов, според наредбата за нив, наредено од таткото нивни Арона, како што му беше заповедал Господ, Бог Израилев.
20. Кај другите Левиеви синови распоредот беше: од синовите Амврамови - Соваил; од Соваиловите синови - Јадаја;
21. од Равинија синот Јесија беше прв;
22. од Исахара - Соломот; од Соломотовите синови - Јад;
23. од синовите Јетови, прв беше Јериј, втор - Амадија, трет Јазиил, четврти - Јекмоам.
24. Од Озииловите синови - Миха; од Миховите синови - Самир.
25. Брат на Миха беше Исија; од Исиевите синови - Захарија.
26. Од синовите Мерариеви - Моли и Муси; од синовите Озиини - Ванij.
27. Синови Мерариеви од Озија - Јесом, Закхур и Јовди.
28. Од Молија - Елеазар: тој немаше синови.
29. Од Киса и од синовите Кисови - Јерамеил;
30. синови Мусиеви - Моли, Едер и Јеримот. Тоа беа синовите левитски според поколенијата нивни.
31. И тие фрлија жреб заедно со браката свои, Аронови синови, пред лицето на царот Давида и Садока и Авимелеха и старешините на свештеничките и левитските редови: старешината на родот заедно со помалиот брат свој.

Глава 25

1. Царот Давид и војводите ги одделија за служба синовите Асафови, Еманови и Идетунови, за да пеа песни на гусли, псалтири и кимвали; беа одредени за работа во службата своја:
2. од синовите Асафови: Закхур, Јосиф, Нетанија и Асиила, синови Асафови, под раководство на Асафа, пророкот, кој беше близу до царот.
3. Од Идитума - синовите Идитумови: Годолија, Сури, Исеја, Семеј, Асавија и Мататија, шестимна, под раководство на татка си Идитума, кој свиреше на гусле, за слава и хвала на Господа.
4. Од Емана - синовите Еманови: Вукуја, Матанија, Озиил, Суваил, Јеримот, Ананија, Ананиј, Елијат, Годолатиј, Ромаматиј - Езер, Савах, Малатиј, Отир, и Мазиот.
5. Сите тие беа синови на Емана, царскиот јасновидец, определини според зборовите Божји, да ја вознесуваат славата. Бог му беше дал на Емана четиринаесет синови и три керки.
6. Сите тие, под водство на татка си пееја во домот Господов на кимвали, псалтири и гусли при службата во домот Божји според упатстово од царот, или од Асафа, Идутина и Емана.
7. Бројот нивни, заедно со браката нивни, обучени да пеат пред Господа, на сите што ја знаеја таа вештина беше двесте осумдесет и осум.
8. А фрлија и жреб за смените на службата, малите заедно со големите, учителите заедно со учениците.
9. Првиот жреб падна на Асафа за Јосифа; вториот - на Годолија со браката негови и синовите негови; тие беа дванаесет;
10. третиот - на Закхура со синовите негови и браката негови; тие беа дванаесет;
11. четвртиот - на Језриј со синовите негови и браката негови; а тие беа дванаесет;
12. петтиот - на Нетанија со синовите негови и браката негови; тие беа дванаесет;
13. шестиот - на Вукија со синовите негови и браката негови; тие беа дванаесет;
14. седмиот - на Јернил со синовите негови и браката негови; тие беа дванаесет;
15. осмиот - на Јосија со синовите негови и браката негови; и тие беа дванаесет;
16. деветтиот - на Матанија со синовите негови и браката негови; и тие беа дванаесет;
17. десеттиот - на Семеја со синовите негови и браката негови; сите заедно дванаесет;
18. единаесеттиот - на Азраила со синовите негови и браката негови; и тие беа дванаесет;
19. дванаесеттиот - на Асавиај со синовите негови и браката негови; тие беа дванаесет;
20. тринаесеттиот - на Суваила со синовите негови и браката негови; сите заедно дванаесет;
21. четиринаесеттиот - на Мататија со синовите негови и браката негови; и тие беа дванаесет;
22. петнаесеттиот - на Јеримота со синовите свои и браката свои; тие беа дванаесет;
23. шеснаесеттиот - на Ананија со синовите негови и браката негови; и тие беа дванаесет;
24. седумнаесеттиот - на Јесвака со синовите негови и браката негови; тие беа дванаесет;
25. осумнаесеттиот - на Ананија со синовите негови и браката негови; се дванаесет;
26. деветнаесеттиот - на Мелитија со синовите негови и браката негови; и тие беа дванаесет;
27. дваесеттиот - Елијата со синовите негови и браката негови; вкупно дванаесет;
28. дваесет и првиот - на Јетира со синовите негови и браката негови; тие беа дванаесет;
29. дваесет и вториот - на Годолатија со синовите негови и браката негови; тие беа дванаесет;
30. дваесет и третиот - Меазота со синовите негови и браката негови; тие беа дванаесет;
31. дваесет и четвртиот - на Рометиезера со синовите негови и браката негови; и тие беа дванаесет.

Глава 26

1. Еве го распоредот на вратарите: од Кореевците: Моселемија, Кореев син, од синовите Асафови.
2. Синови Моселемиеви: првороден Захарија, втор - Јадиил, трет - Завадија, четврти - Јатанаил,
3. петти - Олам, шести - Јонатан, седми - Елионај.
4. Синови Авдедови: првороден Самија, втор - Јозават, трет - Јоат, четврти - Сахар, петти - Ротануил,
5. шести - Амиил, седми - Исахар, осми - Фелатиј, зашто Бог го беше благословил.
6. На синови негов Самија му се родија исто така синови, кои беа началници во родот свој, бидејки беа мажи силни.
7. Синови Семееви: Отни, Рафаил, Овид и Елзавад, и Јахија и неговите брака, мажи храбри: Елија, Савахија и Исваком.
8. Сите тие беа од синовите на Авдедома; тие и синовите нивни и браката нивни беа мажи погодни и за служба способни: Авдедом ги имаше шеесет и двајца.
9. Моселемиј имаше синови и брака, мажи способни - осумнаесет.
10. Осиј, од синовите Мерариеви, ги имаше синовите: Симриј, старешина, иако не беше првенец, но татко му го беше поставил за старешина;
11. втор - Хелкија, трет, - Тавелија, четврти - Захарија; сите синови и брака на Оса беа тринаесет.
12. Тоа беше распоредот на вратарите според старешините на родовите, способни за служба заедно со браката свои, за да служат во домот Господов.
13. Тие фрлија жреб, како малиот, така и големиот, според домовите на своите татковци, за секоја врата.
14. Жребот за источната му се падна на Селимија; фрлија жреб и за синот негов Захарија, умен советник, и жребот му се падна за северната.
15. На Авдедома - за јужната, а на синовите негови - при ризниците.
16. На Есефеима и на Оса на запад при Салехетската врата, каде што патот се издига угоре и каде што стои стража спроти стража.
17. Кон исток имаше по шестмина левити, кон север - по четири, кон југ - по четири, а при ризниците - по двајца.
18. Кон запад на патот при тремот - по четири, а при самиот трем - по двајца.
19. Тоа беше распоредот на вратарите од синовите Корееви и синовите Мерариеви.
20. А браката нивни левитите ја надгледуваа ризницата на домот Божји и на ризницата на посветените работи.
21. Ме у синовите на Ладана, Гирсонов син, ме у старешините на домовите од Ладана Гирсонски, беше Јехиел.
22. И синовите Јехиелови: Земет и братот му Јоил ја надгледуваа ризницата на Господовиот дом,
23. заедно со потомците на Амврама, Исара, Хеврона и Озиила.
24. Суваил, син на Герсона, Мојсеев син, беше старешина на ризниците.
25. Брат му Елиезер имаше син Равија, а тој - син Јосија, а тој - син Јорам, а тој - син Зехриј, а тој - син Саломот.
26. Саломот и браката негови ги надгледуваа сите ризници на светите работи, што ги беше посветил царот Давид и кнезовите и иљадниците, стотниците, и војводите на војската.
27. Од војните и од пленот тие посветуваа за одржување на домот Господов.
28. И се, што беше посветил Самуил пророкот, и Саул, синот Кисов, и Авенир, синот Ниров, и Јоав, синот Саруев, сето посветено беше под рацете на Саломота, и браката негови.
29. Од родот Исаров: Хонанија и синовите негови беа одредени за надворешна служба во Израилот, за писари и судии.
30. Од родот Хевронов: Асавија и браката негови, храбри мажи, иљада и седумстотини, имаа

надзор над Израилот, од оваа страна на Јордан, кон исток, за сите работи во службата Господова и во царската служба.
31. Во родот Хевронов Урија беше началник на Хевроновците, во нивните родови, во поколенијата нивни. Тие беа пребројени во четириесеттата година од Давидовото царување, и ме у нив се најдоа јунаци мажи во Јазир Галадски.
32. И браката негови, мажи способни, две иљади и седумстотини, беа началници на домовите. Нив ги постави царот Давид над племето Рувимово и Гадово и полуплемето Манасиево за сите Божји и царски работи.

Глава 27

1. Еве ги синовите Израилеви според нивниот број, начланици на родовите, иљадниците, стотниците и управителите, кои по одделенија му служеа на царот во сите работи, доа ајки и заминувајки секој месец, во текот на сите месеци во годината. Во секое одделение тие беа по дваесет и четири иљади.
2. Над првото одделиние, за првиот месец, началник беше Извоаз, син Завидиилов; во одделението негово имаше дваесет и четири иљади;
3. тој беше од Фаресовите синови и началник над сите војводи во првиот месец.
4. Над одделинието за вториот месец беше Додај, Екхотецот; во одделението негово беше и кнезот Макелот; и во неговото одделение имаше дваесет и четири иљади.
5. Третиот главен воен началник, за третиот месец, беше Ванеја, син на свештеникот Јодаја; и во неговото одделиние имаше дваесет и четири иљади;
6. тој, Ванеја, беше еден од триесетте јунаци и нивни началник, и во неговото одделиние се нао аше синот негов Завад.
7. Четвртиот, за четвртиот месец, беше Асаил, Јоавав брат, и по него синот негов Завадија; и во неговото одделение имаше дваесет и четири иљади.
8. Петтиот, за петтиот месец, беше кнезот Самаот, син Језраев; и во неговото одделение имаше дваесет и четири иљади.
9. Шести, за шестиот месец, беше Одуј, Екисов син, Текуец; и во неговото одделение имаше дваесет и четири иљади.
10. Седми за седмиот месец, беше Хелис, Фалусјанин, од Ефремовите синови; и во неговото одделиние имаше дваесет и четири иљади.
11. Осми, за осмиот месец, беше Совохај, Усатитјанин од Зараевиот род; и во неговото одделение имаше дваесет и четири иљади.
12. Деветти, за деветтиот месец, беше Авиезер, од Анатот, од синовите Венијаминови; и во неговото одделиние имаше дваесет и четири иљади.
13. Десетти, за десеттиот месец, беше Махрај, Нетофатец, од Зараевиот род; и во неговото одделение имаше дваесет и четири иљади.
14. Единаесетти, за единаесеттиот месец, беше Ванеја, од Фаратон, од синовите Ефремови; и во неговото одделение имаше дваесет и четири иљади.
15. Дванаесетти, за дванаесеттиот месец, беше Холдиј, Нетофатец, од потомците Готониилови; и во неговото одделение имаше дваесет и четири иљади.
16. А над Израилевите колена кнезови беа: во Рувимовото - Елиезер, син Зехриев; во Симеоновото - Сафатија, син Мехиев;
17. во Левиевото - Асавија, син Кемуилов; во Аронотвото - Садок;
18. во Јудиното - Елијав, од Давидовите брака; во Исахаровиот - Амри, Михаилов син;
19. во Завулоновото - Самаија, Авдиев син; во Нефталимовото Јеримот, Озиилов син;
20. во Ефремовото синови - Осиј, Азазиев син; на полуплемето Манасиево - Јоил, Фадеев син;
21. во полуплемето Манасиево во Галад - Јадај, Завадиев син; во Венијаминовото - Јасиил, Авениров син;
22. во Дановото - Азариил, Јорамов син. Тоа беа водачите на Израилевите племиња.
23. Давид не ги преброи оние ште беа од дваесет години и подолу, зашто Господ беше рекол, дека го умножи Израилот како ѕвездите небески.
24. Саруевиот син Јоав го почна пребројувањето, но не го доврши, и гнев Божји дојде врз Израилот поради тоа пребројување, и тоа не влезе во летописите на царот Давида.
25. Над царските сокровишта беше Асмот, Одилиев син, а над богатствата во полето, во градовите, во селата и во кулите - Јонатан, Озиев син;
26. а над оние, што работеа полски работи, со земјоделие, беше Ездрај, Хелувов син;
27. над лозјата - Семеј од Рама, а над визбите со вино во лозјата - Завдиј, син Сефамиев,
28. над маслините и смоквите во полињата - Геторјанинот Валанан, а над одделенијата со елеј

- Јоас;
29. над крупниот добиток, што пасеше во Сарон - Саронецот Страј, а над добитокот во долините - Адаиновиот син Софат;
30. над камилите - Исмаилецот Увиј; над ослите - Маротонецот Јадија;
31. над ситниот добиток - Агаритецот Јоас. Сите тие беа началници над цар Давидовиот имот;
32. Јонатан, Давидовиот стрико, беше советник, човек умен и писмен; и Јеил, Акаманиев син, беше при царските синови;
33. Ахитофал беше царев советник; а Хусија - царев пријател;
34. а по Ахитофела беа Јодај, син Ваниев, и Авијатар; Јоав, пак, беше прв царев војвода.

Глава 28

1. Давид ги собра во Ерусалим сите израилски водачи, началници на племињата, началници на одделите, што му служеа на царот, иљадниците и стотниците и оние, што беа над сите имоти и стада на царот, синовите свои, дворјаните, војводите и сите храбри мажи.
2. И стана цар Давид на нозе, па рече: 'Чујте ме, брака мои и народе мој! Ми беше на срце да изградам дом за почивка на Ковчегот на заветот Господов, за подножје на нозете на нашиот Бог, и по подготвив потребното за градење.
3. Но Бог ми рече: ‘Не гради дом на името Мое, зашто си човек војник и крв си пролевал.‘
4. Ме утоа, Господ, Бог Израилев, ме избра мене од целиот ми татков дом, за да бидам вечно цар над Израилот; зашто Он го избра Јуда за кнез, во домот на Јуда - домот на татка ми, а од синовите на таткото мој благоволи да ме постави мене за цар над сиот Израил;
5. а од сите мои синови, - зашто Господ ми даде многу синови, - Он го избра синот мој Соломона да седи врз престолот на Господовото царство над Израилот,
6. и ми рече: ‘Синот твој Соломон ке го изгради Мојот дом и Моите дворови, зашто сум Си го избрал за син, и ке му бидам татко;
7. и ке го зацврстам царството негово засекогаш, ако тој постојано ги исполнува Моите заповеди и Моите наредби, како до денес.‘
8. И сега пред очите на сиот Израил, собрание Господово, и во ушите на нашиот Бог велам: пазете ги и држете ги сите заповеди на Господа, вашиот Бог, за да владеете со оваа убава земја и да ја оставите по себеси во наследство на децата свои засекогаш.
9. И ти, сине Соломоне, да го познаваш Бога, твојот Татко, и да Му служиш од се срце и со сета душа своја, зашто Господ ги испитува сите срца и ги знае сите движења на мислите. Ако Го бараш, ке Го најдеш; ако Го оставиш, Он ке те остави засекогаш.
10. Внимавај! Штом Господ те избрал да Му изградиш дом за светилиште, биде храбар и работи.'
11. Тогаш Давид му даде на синот свој Соломона нацрт за храмот и за зградите негови, за келиите негови, за горните соби негови и внатрешните соби негови и за домот на ковчегот,
12. и нацрт за се, што му беше на душата, за дворовите на домот Господов, за сите одделенија наоколу, за ризниците на Божјиот дом и за ризниците на посветените предмети,
13. за свештеничките и левитските одделинија, за секаква работа при службата во домот Господов, за сите садови употребувани за служба во домот Господов,
14. за златните предмети, со ознака на тежината, за секој сад, за сите сребрени предмети, со ознака на тежината на секој сад - потребен за служба.
15. И даде злато за светилниците и за златните им кандилца, означувајки ја тежината на секој светилник и неговото кандилце, исто така и за сребрените светилници, означувајки ја тежината на секој светилник и неговите кандилца, според намената во служењето на секој светилник;
16. даде злато за трпезите на лебовите за предложението, за секоја златна трпеза, и сребро за сребрените трпези,
17. за виљушки, чаши и росилници од чисто злато, за златните чинии, со означување на тежината на секоја чинија, за сребрени чинии, ознака на тежината на секоја чинија;
18. за кадилниот жртвеник од леано злато, со ознака на тежината, и за правење кола со златни херувими, со раширени крилја и надвиснати над ковчегот на заветот Господов.
19. ‘Сето тоа е пишано од Господа‘, велеше Давид, ‘како што ме вразуми по сите работи на планот.‘
20. И му кажа Давид на синот свој Соломона: 'Биди храбар и мажествен и зафати се за работа; не плаши се и не бој се, зашто Господ Бог, мојот Бог, е со тебе: Он нема да отстапи од тебе и нема да те остави, додека не ја свршиш целата потребна работа за домот Господов.
21. Еве ги одделите на свештениците и левитите за секоја служба при Божјиот дом. За секоја работа имаш ревносни мажи, искусни за секоја работа, и кнезовите и сиот народ се спремни за

сите твои заповеди.'

Глава 29

1. Тогаш царот Давид му кажа на целото собрание: 'Синот мој, Соломон, единствениот, кого Бог го избра, е млад и нежен, а делото е големо, зашто таа зграда не е за човек, туку за Господа Бога.
2. Со сите сили приготвив за домот на мојот Бог злато за златните работи, сребро за сребрените и бакар за бакарните, железо за железните и дрво за дрвените, мраморни камења и камења за украсување, камења убави и шарени, секакви скапи камења и многу мермер;
3. и уште, од љубов кон домот на мојот Бог, што имам сопствено злато и сребро, и него го давам за домот на мојот Бог, посебно од сето она, што сум го приготвил за светиот дом:
4. три иљади таланти злато, офирско злато, и седум иљади таланти чисто сребро за обложување на ѕидовите на зградите,
5. за сите златни предмети, за сите сребрени и за сите изработки од искусни раце. Нема ли уште некој доброволно да жртвува денес за Господа?'
6. Тогаш родолначалниците и кнезовите израилски, иљадниците и стотниците и царските економи почнаа да донесуваат доброволни прилози.
7. И дадоа за уредување на Божјиот дом пет иљади таланти и десет иљади драхми злато, десет иљади таланти сребро, осумнаесет иљади таланти бакар и сто иљади таланти железо.
8. И оние, што имаа скапоцени камења, ги даваа и нив во ризницата на домот Господов, во рацете на Героеонецот Јеила.
9. И народот се радуваше на нивната сесрдност, зашто тие од се срце жртвуваа за Господа, па и Давид многу се радуваше.
10. Тогаш го благослови Давид Господа пред целото собрание и рече: 'Благословен си, Господи Боже Израилев, отсекогаш и засекогаш!
11. Твое е, Господи, и величието, и силата, и славата, и победата, и блесокот; и се, што е на небото и на земјата, Твое е; Твое е, Господи, царството, Ти стоиш над се одозгора како Владетел.
12. Од Тебе е и богатството и славата; Ти владееш над се, во Твојата рака е и силата и цврстината, и во Твоја власт е да кренеш и да зацврстиш се.
13. И сега, Боже наш, Те славословиме и го фалиме Твоето величествено име.
14. Зашто, кој сум јас, и кој е мојот народ, та можеме да жртвуваме толку? Но од Тебе е се, и добиеното од Твојата рака Ти го дадовме;
15. зашто ние сме ту инци пред Тебе и придојдени, како и сите наши татковци; нашите дни се како сенка на земјата, и нема ништо трајно.
16. Господи, Боже наш! Сето ова богатство, што го приготвивме, за да Ти изградиме дом Тебе, на Твоето свето име, е од Твоја рака, и се е Твое.
17. Знам, Боже мој, дека Ти го испитуваш срцето и ја сакаш чистосрдечноста; јас со чисто срце го жртвував сето ова, и сега гледам, дека и Твојот народ, кој е собран тука, со радост жртвува за Тебе.
18. Господи, Боже на Авраама, Исака и Израила нашите татковци, запази го тоа за секогаш, тоа расположение на срдечните мисли во Твојот народ, и управи го неговото срце кон Тебе.
19. А на синот мој Соломона дај му праведно срце, за да ги запазува Твоите заповеди, Твоите откровенија и Твоите наредби, да го извршува сето тоа и да ја изгради зградата на Твојот дом, за која сум се приготвил.'
20. А на целото собрание Давид му рече: 'Благословете Го Господа, нашиот Бог!' И целото собрание Го благослови Господа, Бога на татковците свои, па коленичеа и Му се поклонија на Господа и на царот.
21. На другиот ден Му принесоа жртва на Господа, Му принесоа сепаленица на Господа: иљада телиња, иљада овни и иљада јагниња со преливните нивни, и многу жртви од сиот Израил.
22. Па јадеа и пиеја пред Господа во тој ден со голема радост, и по вторпат го прогласија Соломона, синот Давидов, за цар и го помазаа пред Господа за врховен владетел, а Садока за

прв свештеник.
23. И седна Соломон на престолот Господов како цар, место татка си Давида и напредуваше, и сиот Израил му се покоруваше.
24. И сите кнезови и војводи, како и сите синови на царот Давида му се покоруваа на царот Соломона.
25. И Господ го возвеличи Соломона пред очите на сиот Израил и му дарува царска слава, каква што немаше пред него ниеден цар израилски.
26. Давид, синот Јесеев, царуваше над сиот Израил.
27. Тој царуваше над Израилот четириесет години: во Хеврон царуваше седум години, и во Ерусалим царуваше триесет и три години.
28. Потоа умре тој во длабока старост, сит од животот, богатството и славата; место него стана цар неговиот син Соломон.
29. Делата на цар Давида, првите и последните, се опишани во записите на јасновидецот Самуил, во записите на пророкот Натан и во записите на јасновидецот Гад,
30. како и целото негово царување, јунаштвото негово и настаните, што се случија со него, со Израилот и со сите земни царства.

# 2 Летописи

Глава 1

1. Соломон, синот Давидов, се зацврсти во царството свое, и Господ, неговиот Бог, беше со него и го возвеличи високо.
2. И му заповеда Соломон на сиот Израил да се соберат: иљадниците, стотниците, судиите и сите началници во сиот Изриал - старешините на домовите татковски.
3. Па отидоа Соломон и целото собрание со него на ридот во Гаваон, бидеки таму беше Божјата скинија на сведоштово, која Мојсеј, слугата Господов, ја беше подигнал во пустињата.
4. Давид го беше пренел Божјиот ковчег од Киријат-Јарим на она место, што му го беше приготвил, откако направи за него скинија во Ерусалим.
5. А бакарниот жртвеник, што го беше направил Веселеил, синот на Урија, Одов син, си остануваше таму пред синијата Господова; него го побараа Соломона и собранието.
6. И таму пред лицето на Господа, врз бакарниот жртвеник, што беше пред скинијата на сведоштвото, Соломон принесе иљада сепаленици.
7. Во таа нок му се јави Господ на Соломона и му рече: 'Барај, што сакаш да ти дадам.'
8. Соломон Му одговори на Бога: 'Ти му направи на таткото мој Давида голема милост и ме постави за цар место него.
9. Нека се исполни сега, Господи, словото Твое кон татка ми Давида, бидејки ме направи цар над народ многуброен, како земниот прав,
10. дај ми сега мудрост и разум, за да излегувам и влегувам пред тој народ; зашто, кој може да управува со Твојот голем народ?'
11. И му рече Бог на Соломона: 'Затоа што го имаш тоа во срцето свое и не побара богатство, имот и слава, ниту душите на твоите непријатели, туку побара мудрост и разум, за да управуваш со Мојот народ, над кој те поставив за цар, -
12. мудрост и разум ти се дава, а богатство, имот и слава ке ти дадам такви, какви што кај царевите пред тебе немало, нити ке има по тебе.'
13. Тогаш Соломон се врати од ридот во Гаваон, од скинијата на сведоштвото, во Ерусалим, и царуваше над Израилот.
14. И собра Соломон коњица; имаше иљада и четиристотини коли и дванаесет иљади коњаници, кои ги насели по колските градови и при царот во Ерусалим.
15. И го направи царот во Ерусалим среброто и златото рамноцено со камењата, а кедрите според нивното множество ги направи рамноцени со смоквите во низините.
16. Коњи му доведуваа на Соломона од Египет; царски трговци ги купуваа со пари;
17. една кола се купуваше и дотеруваше од Египет за шестотини сикли сребро, а еден коњ - за сто и педесет. Така тие им ги доставуваа преку своите раце на сите цареви хетејски и цареви сириски.

Глава 2

1. Соломон потоа науми да изгради дом на името Господово и царски дом за себеси.
2. И собра Соломон седумдесет иљади носачи и осумдесет иљади каменоделци во горите и надгледници над нив - три иљади и шестотини.
3. Па испрати Соломон да му кажат на тирскиот цар Хирама: 'Како што правеше со татка ми Давида и му испракаше кедар, за да си изгради дом за живеење, така направи и со мене.
4. Еве, јас градам дом на името Господово, мојот Бог, да го посветам Нему, за да се кади пред Него миризливо кадиво, да се поставуваат постојано лебови на предложението и да се принесува таму сепалненици наутро и навечер, и во саботите, новомесечијата и празниците на Господа, нашиот Бог, што му е заповедано засекогаш на Израилот.
5. Домот, што го градам, е голем, зашто голем е нашиот Бог, погоре е од сите богови.
6. Та кој може Нему да Му изгради дом, кога небото и небесата на небесата не можат да ја соберат Неговата слава? И кој сум јас, па да можам да Му изградам дом, освен за кадење пред лицето Негово?
7. Па така, испрати ми сега човек, што знае да прави изработки од злато, од сребро, од бакар и од железо и од пурпурна, црвена и сина пре а, и кој знае да реже за да работи заедно со уметниците, какви што има во Јудеја и во Ерусалим, а коишто ги приготви татко ми Давид.
8. И испрати ми кедрови дрва и кипарис и невгово дрво од Ливан, зашто знам, дека твоите слуги умеат да сечат ливански дрвја. Е ете, моите слуги ке одат со твоите слуги,
9. за да ми подготват многу дрва, зашто домот, што го градам, е голем и величествен.
10. А на дрводелците, твоите слуги, што ке ги сечат дрвјата, ке им дадам за храна: дваесет иљади мери пченица и дваесет иљади мери јачмен, дваесет иљади мери вино и дваесет иљади мери елеј.'
11. И Хирам, царот тирски, одговори со писмо, кое му го испрати на Соломона: 'Затоа што го засака Својот народ, Господ те постави за цар над него.'
12. И уште рече Хирам: 'Благословен Господ, Бог Израилев, Кој го создал небото и земјата и му дал на Давида син мудар, учен и разумен, кој се готви да Му гради дом на Господа и дом царски за себеси.
13. Па така, ти испракам човек, надарен со знаења, слугата мој Хирама,
14. син на жена од Давидовите керки, а татко му е Тирец; тој знае да прави изработки од злато и од сребро, од бакар и од железо, од камен и од дрво, од пурпурна и сина пре а, од висон и од багреница и да реже секаква резба и да прави се, што ке му биде порачано, заедно со твоите уметници и со уметници на мојот господар Давида, твојот татко.
15. А пчницата и јачмнаот, елејот и виното, што ги ветуваш, испрати ги, господаре мој, на своите слуги.
16. Ние, пак, ке насечеме дрва од Ливан колку што треба, и ке ги донесеме на скели по морето во Јафа, и ти ке ги пренесеш во Ерусалим.'
17. И ги собра Соломон сите придојдени, што беа тогаш во Израилската земја, според пописот што го беше направил татко му Давид, - и излегоа сто и педесет и три иљади и шестотини.
18. Од нив Соломон определи седумдесет иљади за носачи, осумдесет иљади за каменоделци во горите и три иљади и шестотини за надгледници, за да настојуваат народот за работи.

Глава 3

1. И почна Соломон да го гради домот Господов во Ерусалим, на гората Аморија, која му ја определи Господ на татка му Давида, на ова место, што го беше подготвил Давид, врз гумното на Јевусеецот Орна.
2. А почна да го гради на вториот ден од вториот месец во четвртата година од своето царување.
3. Основата, положена од Соломона при градењето на домот Божји, беше следна: должина шеесет лакти, по старата мерка, а широчина - дваесет лакти;
4. а тремот пред домот беше долг колку ширината на домот - дваесет лакти, висок, пак, - сто и дваесет.
5. А главниот дом го обложи со кипарисово дрво, го опкова со чисто злато и изработи на него палми и веришки.
6. Го украси домот со скапоцени камења за да биде убав; а златото беше парваимско злато.
7. Го опкова со злато домот, гредите, траговите, ѕидовите негови, прозорците и вратите негови, а по ѕидовите изваја херувими;
8. и направи Свајата Сватих: должината нејзина според широчината на домот - дваесет лакти, и широчината нејзина - дваесет лакти; и ја покри со шестотини таланти чисто злато.
9. Тежината на клиновите беше: секој клин педесет сикли злато. И горните одаи ги опкова со злато.
10. А во Свјатајта Свјатих направи два херувима од дрво што не гние, резбарска работа, и ги опкова со злато.
11. Крилата на херувимите им беа во должина дваесет лакти: едното крило, пет лакти, се допираше до ѕидот на домот, а другото крило, исто така пет лакти, се срекаваше со крилото на другиот херувим;
12. исто така и едното крило на другиот херувим, пет лакти, се допираше до ѕидот на домот, а другото крило, пет лакти, се срекаваше со крилото на другиот херувим.
13. Крилјата на херувимите беа раширени на дваесет лакти; и тие стоеја на нозете свои со лицето кон храмот.
14. Направи завеса од сина, пурпурна и темно црвена ткаенина и од висон, а на неа изобрази херувими.
15. Пред храмот направи два столба, високи по триесет и пет лакти, и капители одозгора - секој од по пет лакти.
16. Направи и веришки, како во светилиштето, и ги положи врз столбовите; направи и сто нарови, кои ги постави на веришките.
17. Ги постави столбовите пред храмот: едниот десно, другиот лево, и десниот го нарече Јихин (Исправување), а левиот Воаз(тврдина).

Глава 4

1. А направи и бакарен жртвеник: дваесет лакти долг, дваесет лакти широк и десет лакти висок.
2. И направи излеано море - од едниот крај негов до другиот десет лакти - целиот круг, висок пет лакти, а наоколу при врвот - триесет лакти;
3. наоколу под него од сите страни имаше излеано образи воловски; на десет лакти наоколу морето го опколуваа два реда волови, излеани заедно со него.
4. Тоа стоеше врз дванаесет вола: три гледаа кон север, три гледаа кон запад, три гледаа кон југ и три гледаа кон исток, а морето врз нив одозгора: задниниите пак им беа свртени навнатре под морето.
5. Девелината му беше колку една дланка, а краиштата негови, направени како краишта на чаша; прилегаа на расцутен крин. Тоа собираше три иљади бата.
6. Направи и десет мијалници и постави пет десно и пет лево, за да мијат во нив - го миеја во нив приготвеното за сепалениците; а морето - за свештениците, за да се мијат во него.
7. Направи и десет златни светилници, какви што требаше да бидат, и ги постави во храмот - пет десно и пет лево.
8. Направи и десет трпези и ги постави во храмот - пет десно и пет лево; направи и сто златни чаши.
9. Направи уште и свештенички двор, и голем двор, и врати кон дворот, и стожерите им ги опкова со бакар.
10. Морето го постави на десната страна, кон југоисток.
11. И направи Хирам котли, лопатки, чаши, кадилници и сите жртвени садови. И ја сврши Хирам работата, што ја вршеше за царот Соломон во Божјиот дом:
12. два столба и два појаса околу врвовите врз столбовите и две мрежи, за да ги покриваат двата појаса околу капителите, што беа врз столбовите,
13. и четиристотини нарови на двете мрежи - два реда нарови за секоја мрежа, за да ги покриваат двата појаса околу врвовите врз столбовите.
14. Направи и подножја, направи и мијалници над подножјата;
15. едно море и дванаесет волови под него,
16. и котли и лопатки, и виљушки; целиот тој прибот Хирам му го направи на царот Соломона за домот Господов од измазнет бакар.
17. Царот ги излеа во глинена земја од околината на Јордан, ме у Сокхот и Саридата.
18. Соломон ги направи сите тие предмети во големо множество, така што не се знаеше мерката на бакарот.
19. Тогаш ги направи Соломон и сите други предмети за Божјиот дом: и златен жртвеник, и трпези за лебовите на предложението,
20. и светилници, и кандилата нивни, за да ги палат според уредбите пред Свјатаја Свјатих, - од чисто злато;
21. и цвекенца, и кандилца, и машички од злато, од најчисто злато,
22. и ножеви, и росилници, и чаши, и пепелници од најчисто злато; и храмовите порти - внатрешните порти за Свјатаја Свјатих, и храмовите порти за светилиштето - од злато.

Глава 5

1. И се заврши сета работа, што ја изврши Соломон за домот Господов. И го внесе Соломон посветеното од татка му Давида сребро и злато, и сите садови ги предаде во ризниците на Божјиот дом.
2. Тогаш Соломон ги свика во Ерусалим сите началници израилски и сите племенски кнезови и сите старешини на домовите на израилевите синови, за да го пренесат Ковчегот на заветот Господов од Давидовиот град, односно од Сион.
3. И се собраа при царот сите Израилци на празникот, во седмиот месец.
4. И дојдоа сите старешини Израилеви. Левитите го кренаа Ковчегот;
5. го понесоа ковчегот и скинијата на сведоштвото и сите свети садови, што беа во скинијата, - го понесоа свсештеници и левити.
6. А царот Соломон и сето Израилево општество, што се беше собрало при него со страв пред Ковчегот, принесуваа жртви - овци и волови, толку многу, што не беше можно да се избројат и пресметаат.
7. И свештениците го внесоа Ковчегот на заветот Господов на местото негово, во Свјатаја Свјатих, под криљата на херувимите.
8. Херувимите со раширени криља над местото на ковчегот и го покриваа Ковчегот и лостовите негови одозгора.
9. Лостовите се издигаа така, што дршките им се гледаа пред Свјатаја Свјатих, но не и надвор; тие се таму и ден денес.
10. Во Ковчегот немаше ништо, освен двете камени плочи, што Мојсеј ги беше положил на Хорив, кога Господ склучи завет со Израилевите синови, по излегувањето нивно од Египет.
11. Кога свештениците излегоа од светилиштето, - зашто сите свештеници, што беа таму, се осветија, беа разлика на нивните редови,
12. тогаш сите певци - левити: Асаф, Еман, Идитун и синовите нивни и браката нивни, облечени во тешко платно, со кимвали, псалтири и гусли стоеја на источната страна од жрвеникот, и со нив заедно сто и дваесет свештеници, трубеа со труби.
13. И додека трубеа и пееја како еден, испуштајки еден глас за хвала и славословие на Господа и кога го подигнаа звукот од труби, кимвали и други свирки, и сите го фалеа Господа, дека е благ, дека милоста Негова е вечна, - тогаш домот Господов се исполни со облак,
14. и поради облакот свештениците не можеа да стојат при служба, зашто славата Господова го исполни Божјиот дом.

Глава 6

1. Тогаш Соломон рече: 'Господ беше рекол, дека ке благоволи да престојува во магла,
2. но јас, на Твоето свето име Му изградив дом на Твоето живеалиште, место за Твоето вечно присуство.'
3. И го сврте царот лицето свое, та го благослови сето собрание на Израилците - сето собрание на Израилците стоеше,
4. па рече: 'Нека е благословен Господ, Бог Израилев, Кој го изврши сега со светата рака Своја она, како што го беше рекол со устата Своја на татка ми Давида велејки:
5. ‘од оној ден, кога го изведов Мојот народ од Египетскатѕа земја, Јас не избрав град во ниедно колено Израилево, за да изградам дом, каде што да присуствува името Мое, ниту избрав маж што ке биде водач на Мојот народ Израилот.
6. туку го избрав Ерусалим, та името Мое таму да присуствува, го избрав Давида, тој да биде над Мојот народ - Израилот.‘
7. Татко ми Давид имаше на срце да изгради дом на името на Господа, Бога Израилев,
8. но Господ му кажа на татко ми Давид: ти имаш на срце да изградиш храм на името Мое; добро е, што ти е тоа на срце.
9. Ме утоа, ти нема да изградиш храм, туку твојот син, што ке призлезе од бедрата твои, - тој ке изгради храм на името Мое.
10. И Господ го исполни словото и, она што го беше изрекол; јас стапив на местото на мојот татко Давида, седнав на престолот Израилев, како што рече Господ, и изградив дом на името Господово, Бога Израилев.
11. Го положив таму ковчегот, во кој е заветот на Господа, што го беше склучил со синовите Израилеви.'
12. Па застана Соломон пред жртвеникот Господов, пред сето собрание на Израилците, ги крена рацете, -
13. зашто Соломон беше направил бакарно подножје, долго пет лакти, широко пет лакти и високо три лакти, и го беше поставил среде дворот; застана на него, падна на колена пред сето собрание на Израилците, ги крена рацете кон небото, -
14. и рече: 'Господи, Боже Израилев! Нема Бог, сличен на Тебе, ниту на небото, ниту на земјата. Ти го пазиш заветот и милоста кон слугите Свои, кои одат пред Тебе со сето свое срце;
15. Ти го исполни на Својот слуга Давида, мојот татко, она, што беше говорел; она, што беше го изрекол со устата Своја, денес го исполни со раката Своја.
16. И сега, Господи, Божи Израилев, исполни му го на Својот слуга Давида, мојот татко, она, што му го рече, велејки: нема да снема маж, што ке седи пред лицето Мое на престолот Израилев, само ако твоите синови внимаваат на патиштата свои, одејки по Мојот закон така, како што одеше ти пред Мене.
17. А сега, Господи, Боже Израилев, нека се потврди словото Твое, што си го изрекол на Својот слуга Давида!
18. Навистина, Бог ли ке живее со лу ето на земјата? Ако небото небесата Твои не Те собираат, дотолку помалку ке Те собере овој храм, што сум го изградил.
19. Но погледни милостиво кон молитвата на Твојот слуга и кон молбата негова, Господи, Боже мој! Чуј го повикот и молитвата, со која Твојот слуга се моли пред Тебе.
20. Нека бидат очите Твои отворени кон овој храм дење и ноке, кон местото, во кое си ветил дека го ставаш името Свое, за да ја слушаш молитвата, со која слугата Твој ке се моли на ова место.
21. Чуј ги молбите на Твојот слуга и на Твојот народ Израилот, со кои ке се молат на ова место; чуј од местото на Твоето живеалиште, од небесата, чуј и смилувај се!
22. Кога некој ке згреши против ближниот свој, и ке побараат од него клетва, за да се заколне, и таа клетва биде извршена пред Твојот жртвеник во овој храм,

23. тогаш чуј од небото и изврши суд над Своите слуги, подај му на виновникот, и товарејки му ја постапката негова врз главата негова; а оправдај го правиот, воздавајќи му според правдата негова.
24. Кога Твојот народ Израилот ќе биде поразен од непријателот, затоа што згрешил пред Тебе и кога тој ќе се сврти кон Тебе, и ќе го исповеда името Твое со молба и молитва пред Тебе во овој храм,
25. чуј тогаш од небото и прости му го гревот на Твојот народ Израилот и врати го во земјата, што си му ја дал нему и на татковците негови.
26. Кога ќе се заклучи небото и ќе снема дожд, затоа што згрешил пред Тебе, и ќе се помолат на ова место, ќе го исповедаат името Твое и ќе се свртат од своите гревови, затоа што си ги понизил,
27. чуј тогаш од небото и прости им го гревот на Своите слуги и на Својот народ Израилот, покажувајќи им го добриот пат, по кој треба да одат; и испрати дожд врз Твојата земја, што си му ја дал на народот Свој во наследство.
28. Ако биде глад во земјата или помор, огнен ветар или гламја, скакулци или гасеници, или ако го притиснат непријателите негови во земјата, што ја владее, некое зло ако се случи или некаква болест,
29. секоја молитва, секоја молба од кој и да било човек, или од сиот народ Твој Израилот, кога секој ќе ја почувствува невољата своја и тагата своја и ќе ги подадае рацете кон Твојот храм,
30. чуј од небото, од местото на Твоето живеалиште, и прости и подај му на секого според сите патишта негови, како што го познаваш срцето негово, - зашто само Ти ги познаваш срцата на синовите човечки, -
31. за да се плашат од Тебе и да одат по Твоите патишта во сите дни, додека живеат на земјата, што си им ја дал на татковците нивни.
32. Дури и туѓинецот, што не е од Твојот народ Израилот, кога ќе дојде од далечна земја поради Твоето големо име, Твојата моќна рака и Твојата силна мишка, - дојде и се помоли во овој храм,
33. чуј од небото, од местото на Твоето живеалиште, и направи се, за кое ту инецот ќе Те призове, та сите земни народи да го познаат Твоето име и да се плашат од Тебе, како и Твојот народ Израилот, и да знаат, дека овој дом, што јас го изградив, е наречен на Твое име.
34. Кога Твоите лу е ќе излезат во војна против непријалтелите свои по патот, по кој ќе ги испратиш Ти, и Ти се помолат, обрнувајќи се кон храмот, што го изградив на Твоето име,
35. тогаш послушај ја од небото молитвата нивна и молбата нивна и направи им го она што е таму потребно.
36. Кога ќе згрешат пред Тебе, - зашто нема човек што не грешава, - и Ти ќе им се разгневиш и ќе ги предадеш на непријателите, и они, што ги заробиле, ги одведат во далечна или блиска земја,
37. кога во земјата, во која ќе бидат заробени, ќе дојдат на себеси, ќе се свртат и ќе Ти се помолат во земјата на своето ропство, велејќи: ‘згрешивме, направивме беззаконија и неправди,‘
38. и се обрнат кон Тебе со сето свое срце и со сета своја душа, во земјата на своето ропство, каде што ќе бидат одведени во плен, и се помолат, обрнувајќи се кон земјата своја, што си им ја дал на татковците нивни, и кон градот, што си го избрал, и кон храмот, што го изградив на Твоето име, -
39. тогаш чуј од небото, од местото на Твоето живеалиште, чуј ја молитвата нивна и молбата нивна, и направи го она што им е потребно, и прости му на Твојот народ, за она што згрешил пред Тебе.
40. Боже мој, очите Твои нека бидат отворени и ушите Твои внимателно кон молитвата на ова место!
41. И сега, Господи Боже, застани во Твоето покоиште, Ти и ковчегот на Твојата сила. Твоите свештеници, Господи Боже, нека се облечат во спасение, и Твоите преподобни да се радуваат

во добрините.
42. Господи Боже, не свртувај го лицето од помазаникот Свој, присети се на милостите ветени кон Својот слуга Давида!'

Глава 7

1. Кога Соломон ја заврши молитвата, слезе оган од небото и ги голтна сепалениците и жртвите, и слава Господова го исполни домот.
2. И свештениците не можеа да влезат во домот Господов, зашто славата Господова го исполни домот Господов.
3. И сите синови Израилеви, кога видоа, како слезе оган и слава Господова врз домот, паднаа ничкум на земја, на плочникот, се поклонија и Го фалеа Господа, зашто е благ, зашто милоста негова е вечна.
4. А царот и сиот народ почнаа да принесуваат жртви пред лицето на Господа.
5. И принесе царот Соломон на жртва дваесет и две иљади вола и сто и дваесет иљади овци: така го осветија Божјиот дом царот и сиот народ.
6. Свештениците стоеја на службата своја, а левитите со Давидовите песни во рацете, стоеја со свирки за песни на Господа, што ги беше направил царот Давди, зашто милоста Негова е вечна; и трубеа свештениците спроти нив, а сиот Израиел стоеше.
7. Соломон го освети и внатрешниот дел на тремот, што е пред домот Господов: таму ги принесе сепалениците и лојот од мирните жртви, зашто бакарниот жртвеник, направен од Соломона, не можеше да ги собере сепалениците, лебните приноси и лојот.
8. И направи Соломон во тоа време седумдневен празник и празнуваше со него сиот Израил, - многу голем собор, што се беше стекол од влезот во Емат до Египетскиот поток;
9. а на осмиот ден направија попразненсто, зашто осветувањето на жртвеникот го правеа седум дена и празнкот - седум дена.
10. И на дваесет и третиот ден од седмиот месец царот го распушти народот по шаторите нивни, сите радосни и весели во срцето поради доброто, што Господ му го направи на Давида и Соломона и на својот народ Израилот.
11. И го заврши Соломон домот Господов и домот царски, заврши успешно се, што беше наумил во срцето свое да го изврши во Господовиот дом и во својот дом.
12. И Господ му се јави на Соломона ноке и му кажа: 'Ја чув твојата молитва и Си го одбрав тоа место за дом на жртвопринесувања.
13. Ако го заклучам небото и да нема дожд, ако им заповедам на скакулците да ја испасат земјата, или да испратам помор врз Мојот народ.
14. и Мојот народ, кој се именува со Моето име, се смири, почне да се моли, да го бара лицето Мое и се одврати од своите лоши патишта, Јас ке чујам од небото и ке му ги простам гревовите негови и ке ја излекувам земјата негова.
15. И сега очите Мои ке бидат отворени и учите Мои внимателни кон молитвата во ова место.
16. И сега јас го избрав и го осветив овој дом, та името Мое да биде таму засекогаш; и очите Мои, и срцето Мое ке бидат таму во сите дни.
17. И, ако одиш пред лицето Мое, како што одеше татко ти Давид, и ако вршиш се, што сум ти заповедал, и ако ги пазиш уредбите Мои и законите Мои,
18. Јас ке го зацрвстам престолот на царството твое, како што му бев ветил на татка ти Давид, велејки: ‘нема да снема маж, што ке владее над Изралот.‘
19. Но, ако отстапите и ако ги напуштите наредбите Мои и заповедите Мои, што сум ви ги дал, и тргнете да служите на други богови и да им се поклонувате,
20. Јас ке го истребам Израилот од лицето на Мојата земја, што сум му ја дал, и овој храм, што сум го осветил на Мое име, ке го отфрлам од лицето Свое и ке го направам за приказ и за потсмев кај сите народи.
21. А за овој храм, толку славен, секој, што ке мине покрај него, ке се вхаши и ке рече: ‘Зошто ли постапил Господ така со оваа земја и со овој храм?‘
22. И ке речат: ‘Затоа, што тие Го оставија Господа, Бога на татковците свои, Кој ги изведе од Египетската земја, и се приврзаа за други богови, и, се поклонуваа и им служеа, - затоа Он им го испрати сево ова зло.‘

Глава 8

1. Откако, изминаа дваесет години, во кое време Соломон го градеше домот Господов и својот дом,
2. Соломон ги изгради и градовите, што му ги беше дал Хирам, и ги всели во нив синовите Израилеви.
3. Потоа отиде Соломон против Емат-Сува и го презеде.
4. Го изгради Тедмор во пустињата и сите градови за житници, какви што направи во Емат.
5. Го изгради Горни Веторон и Долни Веторон, градови утврдени со ѕидишта, порти и резиња,
6. и Валат и сите градови за складови, во кои Соломон имаше житници, сите градови за коли и градови за коњица, и се што сакаше да изгради Соломон во Ерусалим и во Ливан и по целата земја на своето владение.
7. Сите лу е, останата од Хетејците, Аморејците, Ферезејците, Евејците и Јевусејците, што не беа од синовите Израилеви, -
8. децата нивни, останати по нив на земјата, кои синовите Израилеви не ги беа истребиле - Соломон ги потчини и принуди да плакаат данок дури и до денес.
9. А синовите Израилеви Соломон што не ги направи слуги за свои работи, тие беа војници и поглавари над војводите негови и заповедници на колите и коњицата негова.
10. Главните настојници, што управуваа со народот при царот Соломон, беа двесте и педесет.
11. Соломон ја пренесе керката Фараонова од Давидовиот град во домот, што го изгради за неа, зашто, велеше тој, жена не смее да живее при мене во домот на Израилевиот цар Давида, бидејки домот е осветен: во него е влезен ковчегот Господов.
12. Тогаш Соломон почна да Му принесува сепаленици на Господа на жртвеникот Господов, што беше го изградил пред тремот,
13. за принесување сепаленици, според наредбите секој ден, како што беше заповедал Мојсеј, во саботите и во новомесечијата и во празниците трипати во годината: во празникот на Бесквасници, во празникот на Седмици и во празникот Сеници.
14. И ги установи, според распоредот на татка си Давида, смените и свештениците според службата нивна, на левитите според стражите нивни, за да славословат и да служат при свештениците според уставот за секој ден, и на вратарите според смените нивни, при секоја врата, бидејки таква беше заповедта на Давида, Божиот човек.
15. И не отстапуваа од царевите заповеди за свештениците и за левитите во ништо, ниту пак за ризницата.
16. Така беше уредено целото дело на Соломона од денот, кога се основа домот Господов, до целосното завршување негово.
17. Тогаш отиде Соломон во Гасион-Гавер и во Елат, што е на морскиот брег, во земјата Идумејска.
18. И Хирам му испрати по свои слуги кораби и слуги, што го знаеја морето, и тие отидоа со слугите Соломонови во Офир, од каде што изнесоа четиристотини и педесет таланти злато, и му го донесоа на царот Соломон.

Глава 9

1. Савската царица, кога чу за славата Соломонова, дојде во Ерусалим да го искушува Соломона со гатанки; дојде со многу големо богатство и камили, натоварени со благопријатни мириси, многу злато и скапоцени камења. Дојде при Соломона и говореше со него се, што и беше на срце.
2. Соломон и ги објасни сите нејзини зборови, и не се најде ништо непознато за Соломона, кое да не и го објасни.
3. Савската царица, откако ја виде мудроста на Соломона и домот, што тој го беше изградил,
4. и јадењата на трпезата негова, и живелиштата на слугите негови, состојбата на прислужниците негови и облеката нивна, пехарниците и облеката нивна, и одот, со кој тој влегуваше во домот Господов, - беше надвор од себе.
5. Тогаш таа му рече на царот: 'Вистина е она што го бев слушала за твоите дела и за твојата мудрост;
6. но јас не верував на нивните зборови се, додека не дојдов и не видов со очите свои. И еве, ни половината не ми е кажано за твојата голема мудрост: ти ја надминуваш приказната, што сум ја чула.
7. Блажени се твоите лу е, блажени се тие твои слуги, кои секогаш стојат пред тебе и ја слушаат мудроста твоја!
8. Нека е благословен Господ, твојот Бог, Кој благоволи да те постави на Својот престол за цар пред Господа, твојот Бог. Поради љубовта на твојот Бог кон Израилот, за да го зацврсти засекогаш, Он те постави за цар над него, - да делиш суд и правда.'
9. Потоа таа му подари на царот сто и дваесет таланти злато и големо множество благопријатни мириси и скапоцени камења: немаше нигде такви мириси, какви што Савската царица му подари на Соломона.
10. Но и слугите Хирамови и слугите Соломонови, кои го донесоа златото од Офир, донесоа и црвено дрво и скапоцени камења.
11. Царот од тоа црвено дрво направи скали за домот Господов и за царскиот дом, и гусли и псалтири за певците. Такво нешто не беше видено пред тоа во земјата Јудејска.
12. А царот Соломон и даде на Савската царица, се што посака и пожела, освен такви работи, какви што таа му беше донела. Пота таа се врати во својата земја со слугите свои.
13. Мерката на златото, што му доа аше на Соломона во текот на една година, беше шестотини и шеесет таланти.
14. Освен тоа, донесуваа уште и поданици и трговци, и сите цареви арапски и обласни началници му донесуваа злато и сребро на Соломона.
15. И направи царот Соломон двесте големи штита од ковано злато - по шестотини сикли злато за секој штит, -
16. и триста помали штита од ковано злато - по триста сикли злато за секој штит; и царот ги постави во домот од ливанско дрво.
17. Царот направи и голем престол од слонова коска, и го обложи со чисто злато,
18. и шест степеника до престолот и златно подножје, изградено заедно со престолот, и потпирки од двете страни на седиштето, и два лава, што стојат до потпирките.
19. И уште дванаесет лава што стоја таму од двете страни на шесте степеника. Таков престол немаше во ниедно царство.
20. Сите садови од кои пиеше царот Соломон беа од злато, и сите садови во домот од ливанско дрво беа од чисто злато; од сребро немаше ништо, зашто среброто во Соломоновото време не се ценеше многу.
21. Бидејќи царски кораби одеа во Тарсис со слугите Хирамови и секои три години корабите се враќаа од Тарсис, па донесуваа злато и сребро, слонова коска, мајмуни и пауни.
22. Така царот Соломон ги надмина сите земни цареви по богатството и по мудроста.
23. Сиет земни цареви сакаа да го видат Соломона, за да ја послушаат мудроста негова, која

Бог ја беше внем во срцето негово.
24. И секој од нив донесуваше со себеси дар: сребрени садови и златни садови, облека, оружја, благопријатни мириси, коњи и маски - секоја година.
25. Соломон имаше четири иљади стаи за коњи и коли и дванаесет иљади коњаници; ги беше населил по колските градови и при царот - во Ерусалим.
26. Владееше над сите цареви - од реката Еуфрат до Филистејската земја и до Египетските предели.
27. Царот направи и златото и среброто во Ерусалим да бидат рамноценети со обичните камења, а кедрите, поради нивното множество, ги направи рамноценети со смиквите во низините.
28. Коњи му дотеруваа на Соломона од Египет и од сите земји.
29. Другите дела Соломонови, први и последни, опишани се во записите на пророкот Натана и пророштвото на Силомаецот Ахија и во виденијата на јасновидецот Јоила за Јеровоама, Наватовиот син.
30. Соломон царуваше во Ерусалим над сиот Израил четириесет години.
31. Почина Соломон при татковците свои, и го погребаа во градот на татка му Давида. А место него стана цар синот негов Ровоам.

Глава 10

1. Ровоам отиде во Сихем, зашто во Сихем се беа собрале сите Израилци, за да го изберат за цар.
2. Кога чу за тоа Јеровоам, синот Наватов, - кој се нао аше во Египет, каде што беше избегал од царот Соломон, - тој се врати од Египет.
3. Испратија да го повикаат. Дојде Јеровоам и сиот Израил, и му говореа на Ровоама вака:
4. 'Твојот татко ни маложи тешко иго; ти пак олесни ни го тешкото ропство од татка ти и тешкото иго, што ни го наложи тој, и ние ке ти служиме.'
5. Ровоам им одговори: 'По три дена дојдете пак при мене.' И народот се разотиде.
6. Се посоветува царот Ровоам со старешините, што стоеја пред татка му Соломона, додека беше жив, и им рече: 'Што ке ме посоветувате да му одговорам на овој народ?'
7. Тие му одговорија: 'Ако бидеш добар спрема овој народ и му угодиш, ако му говориш благи зборови, тој ке ти служи во сите дни.'
8. Но тој го отфрли советот, што му го дадоа старешините, па почна да се советува со младите, што беа израснале заедно со него и служеа при него;
9. па им рече: 'Што ке ми советувате да им одговорам на оние лу е, што ми рекоа вака: ‘Олесни ни го иготo, што ни го наложи татко ти?‘
10. Младите, што беа израстане со него, му одговорија и рекоа: 'Вака кажи им на тие лу е, што ти рекле: ‘твојот татко ни наложи тешко иго, ти, пак олесни ни го,‘ - вака кажи им: ‘малиот прст ми е подебел од бедрата на татка ми.
11. Татко ми ви наложи тешко иго, јас, пак, ке го зголемам вашето иго; татко ми ве казнуваше до камшици, јас, пак, ке ве бијам со скорпии.‘'
12. Дојде Јеровоам и сите лу е при Роваоама на третиот ден, како што им беше заповедал царот, велејки: 'Дојдете при мене пак по три дена.'
13. Тогаш царот им одговори грубо, бидејки царот Ровоам го отфрли советот на старешините, и им говорешие според советот на младите вака:
14. 'Татко ми ви наложи тешко иго, јас пак ке го зголемам; татко ми ве казнуваше со камшици, јас, пак, ке ве бијам со скорпии.'
15. И царот не го послуша народот, зашто така беше определено од Бога, за да го исполни Господ зборот Свој, што го беше изрекол преку Силоамецот Ахија на Нaватовиот син Јеровоама.
16. Кога сиот Израил виде, дека царот не го слуша, народот му одговори на царот, велејки: 'Како дел имаме во Давида? За нас нема дел во синот Јесеев; по шаторите свои, Израиле! Сега знај го својот дом, Давиде!' И се разотидоа сите Израилци по шаторите свои.
17. А Ровоам остана цар само на синовите Израилеви, што живееја во Јудините градови.
18. Царот Ровоам го испрати Адонирама, кој беше над даноците, но синовите Израилеви го затрупаа со камења, и тој умре. А царот Ровоам побрза да седни в кола, за да избега во Ерусалим.
19. Така се одметнаа Израилците од домот Давидов и до денес.

Глава 11

1. Ровоам пристигна во Ерусалим и свика од Јудиниот и Венијаминовиот дом сто и осумдесет иљади одбрани војници, за да војуваат против Израилот и да му го вратат царството на Ровоама.
2. И би слово Господово до Самеја, човекот Божји, со кое беше речено:
3. 'Кажи му на Соломоновиот син Ровоам, цар Јудејски, и на сиот Израил во Јудиното и Венијаминовото племе:
4. вака вели Господ: ‘не одете и не почнувајте војна со браката свои; вратете се секој во домот свој, зашто Јас го направив тоа.‘ Тие ги послушаа зборовите Господови и се вратија од походот против Јеровоама.
5. Ровоам живееше во Ерусалим и ги загради градовите во Јудеја со ѕидови.
6. Го утврди Витлеем, Етам, Текуја,
7. Ветсур, Сокхот, Одолам,
8. Гет, Марисан, Зиф,
9. Адурем, Лахис, Азиер,
10. Салај, Елон и Хеврон, што беа на Јудиното и на Венијаминовото племе.
11. Ги зацврсти тие тврдини и постави во нив началници и житници ,и одделенија за елеј и вино.
12. И на секој град му даде штитови и копја и ги зацврсти прилично добро. Под него останаа Јуда и Венијамин.
13. Свештениците и левитите, колу што ги имаше по целата земја Израилска, се собраа при него од сите краишта,
14. зашто левитите ги оставија селата свои и владенијата свои и дојдоа во Јудеја и во Ерусалим, бидејки Јеровоам и синовите негови ги отстранија од свештенството Господово
15. и си поставија жреци во идолските светилишта на ридовите, за идолите и за телињата што тој ги направи.
16. А по нив и од сите племиња Израилеви, кои го управија срцето свое да Го бараат Господа, Бога Израилев, одеа во Ерусалим, за да Му принесат жртви на Господа, Бога на татковците свои.
17. Тие го зацврстија царството Јудино и го поддржуваа Соломоновиот син Ровоам три години, зашто одеа по патот на Давида и Соломона во тие три години.
18. Ровоам си ја зеде за жена Маелата, керката на Јеримута, син Давидов, и на Авигеја, керка на Елијава, син Јесеев;
19. И таа му ги роди синовите: Јеуса, Саморија и Зама.
20. По неа тој ја зеде Маха, керка Авесаломова, и таа му ги роди Авија, Јевтија, Зиза и Салимота.
21. Ровоам ја сакаше Маха, Авесаломовата керка, повеке од сите свои жени и наложници, зашто тој имаше осумнаесет жени и шеесет наложници, и роди дваесет и осум синови и шеесет керки.
22. Ровоам го постави Авија, синот на Маха, за началник и кнез над браката свои, зашто сакаше да го направи цар.
23. Па мудро работејки, тој ги распрати сите синови свои по сите земји на Јуда и Венијамина, по сите утврдени градови, им даде многу храна и за нив доведе многу жени.

Глава 12

1. Кога царството на Ровоам се зацврсти, и тој стана силен, го остави законот Господов, а заедно со него и сиот Израил.
2. На петтата година од Ровоамовото царување Сусаким, египетскиот цар, се крена против Ерусалим, - зашто беа отстапиле од Господа, -
3. со иљада и двесте коли и шеесет иљади коњаници; а дојдениот од Египет со него народ: Ливијци, Троглодити и Етиопјани, - број немаше;
4. и ги презеде утврдените градови во Јудеја и стигна до Ерусалим.
5. Тогаш пророкот Самеј дојде при Ровоама и при јудејските кнезови, што се беа собрале во Ерусалим, за да се спасат од Сусакима, и им рече: 'Вака вели Господ: ‘Вие Ме оставивте, затоа и Јас ве оставам во рацете на Сусакима.‘'
6. Кнезовите Израилеви и царот се смирија и рекоа: 'Праведен е Господ!'
7. Кога виде Господ, дека тие се смирија, дојде словото Господово до Самеја и беше речено: 'Нема да ги погубам, а скоро ке им дадам избавление; Мојот гнев нема да се излее врз Ерусалим преку раката Сусакимова;
8. бидејки тие ке му станат слуги, за да знаат што е тоа да Ми служат Мене и да им служат на земните царства.'
9. Египетскиот цар Сусаким дојде во Ерусалим и ги одзеде ризниците на домот Господов и ризниците на царскиот дом; одзеде се, ги одзеде и златните штитови, што ги беше направил Соломон.
10. Но царот Ровоам направи место нив бакарни штитови и ги предаде во рацете на старешините над чуварите, што го чуваа влезот во царскиот дом.
11. Кога одеше царот во Господовиот дом, доа аа чуварите и ги носеа, а потоа пак ги вракаа во живеалиштето на чуварите.
12. И кога се смири, гневот Господов се одврати од него и не го погуби до крај; па и во Јудеја имаше нешто добро.
13. Се зацврсти царот Ровоам во Ерусалим и царуваше. Кога се зацари, тој беше на четириесет и една година, а царуваше седумнаесет години во Ерусалим, во градот, кого Господ го избра ме у сите колена Израилеви, за да остане таму засекогаш името Негово. Мајка му се викаше Нама, Амонитка.
14. И вршеше зло, зашто не го беше расположил срцето свое за да Го побара Господа.
15. Делата на Ровоама, први и последни, се опишани во записите на пророкот Самеја и јасновидецот Ада во родословијата. Ровоам имаше војни со Јеровоама во сите денови.
16. Ровоам почина при татковците свои и беше погребан во Давидовиот град. И место него стана цар синот негов Авија.

Глава 13

1. Во осумнаесеттата година од царувањето на Јеровоама стана цар Авија над Јуда;
2. тој царуваше три години во Ерусалим; мајка му се викаше Михаја, керка Урилова, од Гаваон. И Авија водеше војна со Јеровоама.
3. Авија изведе во војна војска од храбри лу е, четиристотини иљади одбрани души, а Јеровоам излезе против него во бој со осумстотини иљади души, исто така одбрани јунаци.
4. И застана Авиј на врвот од планината Семераим, една од Ефремовата гора, и рече: 'Чујте ме, Јеровоаме и сите Израилци!
5. Не знаете ли, дека Господ, Бог Израилев, му го даде на Давида царството над Израилот засекогаш, нему и на синовите негови, според заветот вечен.'
6. Но беше востанал Јеровоам, синот Наватов, слуга на Давидовиот син Соломона, и се побуни против господарот свој.
7. И се собраа околу него лу е долни, развратници и станаа против Ровоама, синот Соломонов; а Ровоам беше млад и со слабо срце, и не издржа против нив.
8. А сега вие мислите да устоите против царството Господово, кое е во рацете на Давидовите синови, зашто вас ве има многу и затоа што имате златни телиња, што ви ги направи Јеровоам за богови.
9. Нели вие ги изгонивте свештениците Господови, синовите Аронови, и левитите, и си поставивте свештеници, какви што има при народите во другите земји? Секој, што доа а за свое посветување со теле и седум овни, тој станува кај вас свештеник на лажни богови.
10. А кај нас - Господ е наш Бог; ние не сме Го оставиле; не Господа Му служат како свештеници синовите Аронови, и левитите се на својата работа.
11. Тие Му жртвуваат на Господа сепаленици, секое утро и секоја вечер, и миризливо кадиво, ги слагаат лебовите еден врз друг на чиста трпеза и ги палат кандилцата на златниот светилник за да горат секоја вечер, зашто ние ја пазиме наредбата на Господа, нашиот Бог, а вие сте Го оставиле.
12. И, ете, нам на чело ни е Бог и Неговите свештеници и громогласните труби, за да грмат против вас. Синови Израилеви, не војувајте против Господа, Бога на вашите татковци, зашто нема да успеете!
13. Во тоа време Јеровоам направи заседа зад нивниот тил, така што самиот тој беше пред Јудејците, а заседата - зад нив.
14. И кога се обѕрнаа Јудејците, - а тоа борба и отспреди и одзади; и повикаа кон Господа, а свештениците затрубија со труби.
15. И почнаа да викаат Јудејците. И кога Јудејците повторно извикаа, Бог го порзи Јеровоама и сите Израилци пред Авија и Јуда.
16. И синовите Израилеви почнаа да бегаа пред Јудејците; и Бог го предаде во рацете нивни.
17. Авија и народот негов страшно ги поразија; и паднаа од Израилот петстотини иљади одбрани јунаци.
18. Тогаш синовите Израилеви се смирија, а синовите Јудини станаа силни, зашто се надеваа на Господа, Бога на татковците нивни.
19. Авија, пак, го гонеше Јеровоама и му ги одзеде градовите: Ветил и нему потчинетите села, Јесин со селата негови и Ефрон со потчинетите му села.
20. И Јеровоам веке не се совзеде во дните на Авија. Господ го порази и тој умре.
21. Авија, пак, се засили; си зеде четиринаесет жени и роди дваесет и два сина и шеснаесет керки.
22. Другите дела на Авија, делата негови и зборовите негови се опишани во записите на пророкот Ада.

Глава 14

1. И почина Авија при татковците свои и го погребаа во Давидовиот град. Место него цар стана синот негов Аса. Во неговите дни земјата беше спокојна десет години.
2. Аса го вршеше она, што беше добро и угодно пред очите на својот Господ Бог;
3. тој ги премавна жртвениците на ту ите богови и идолските светилишта, ги скрши статуите и ги исече младите дубрави;
4. им заповеда на Јудејците да Го бараат Господа, Бога на татковците нивни, да го исполнуваат законот Негов и заповедите;
5. ги премавна од сите градови Јудините идолски светилишта и статуите на сонцето. И царството негово беше спокојно.
6. И бидејќи беше спокојна земјата, тој изгради тврдина во Јудеја; тој не војуваше во тие години, зашто Господ му беше дал спокојство.
7. И им рече Аса на Јудејците: 'Да ги изградиме овие градови и да ги заградиме со ѕидиште и кули, со порти и клучеви; земјата е уште наша, зашто ние Го побаравме Господа, нашиот Бог; ние Го побаравме, и Он ни даде спокојство од сите страни.' И почнаа да градат, и успеваа.
8. Воената сила на Аса беше: од Јудиното колено триста илјади вооружени со штитови и копја, од Венијаминовото колено двесте и осумдесет илјади јунаци, вооружени со штитови и стрелци со лак.
9. И се крена против нив Зарај, Етиопјанин, со илјада илјади војска и триста коли, и стигна до Мариса.
10. Му излезе Аса во пресрет, и се распоредија за борба во Софатската долина при Мариса.
11. Повика Аса кон Господа, својот Бог, и рече: 'Господи, нели е во Твоја сила да им помагаш на силни и слаби? Тогаш помогни ни нам, Господи, Боже, наш, зашто ние на Тебе се надеваме и во Твое име излеговме против ова множество. Господи, Ти си наш Бог; да не биде човекот посилен од Тебе.'
12. И Господ ги порази Етиопјаните пред Аса и пред Јуда, и Етиопјаните избегаа.
13. Аса, пак, и народот со него ги гонеше до Гедор; Етиопјаните паднаа толку, што ниеден не остана жив, зашто беа поразени пред Господа и пред Неговата војска. И собраа прилично голем плен.
14. Ги разрушија сите градови околу Гедор, зашто ужас од Господа налета врз нив; и ги ограбија сите градови и изнесоа од нив многу голем плен.
15. Ги разрушија и пастирските колиби, ограбија многу стада од ситен добиток и камили, и се вратија во Ерусалим.

Глава 15

1. Тогаш Духот Божји слезе врз Азарија, син Ададов.
2. Тој излезе да го пресретне Аса и сите Јудејци и Венијаминовци, и им рече: 'Послушајте ме, Аса и сите Јудејци и Венијаминци: Господ е со вас, кога сте вие со Него; и ако Го барате, ке Го најдете; ако, пак, Го оставите, и Он ке ве остави.
3. Многу дни Израилот ке биде без вистински Бог, без свештеник да поучува, и без закон;
4. но кога во притеснетоста своја ке се обрне кон Господа, Бога Израилев, и ке Го побара, и ке Го најде.
5. Во тие времиња нема да има мир ни за оние што излегуваат, ни за оние што влегуваат; зашто ке има голема збрка ме у сите жители земни;
6. народ ке се бие со народ, и град со град, затоа што ке ги смути Бог со секакви неволји.
7. Но вие држете се цврсто, и рацете ваши да не ослабуваат, зашто ке има награда за делата ваши.'
8. Кога ги чу Аса тие зборови и пророштвата на Асарија, син на пророкот Адада, тој се охрабри и ги премавна незнабожечките гнасотии од целата земја Јудејска и Венијаминова, и од градовите на Евремовата гора, што ги беше презел, го обнови и жртвеникот Господов, што беше пред Господовиот трем.
9. Тогаш ги собра сите Јудејци и Венијаминовци и преселени од Ефрема, Манасија и Симеона, кои живееја со нив; зашто многу Израилци преминаа кон него, откако видоа, дека Господ, неговиот Бог, е со него.
10. И се собраа во Ерусалим во третиот месец на петнаесеттата година од царувањето на Аса.
11. Во тој ден принесоа жртва на Господа од пленот, што го донесоа: од крупниот добиток седумстотини и од ситниот - седумдесет иљади.
12. Склучија завет да Го бараат Господа, Бога на татковците свои, од се срце и од сета душа;
13. а секој, што не Го побара Господа, Бога Израилев, да умре - бил тој мал или голем, маж или жена.
14. И се заколнаа во Господа громогласно со восклици и при звукот на трубите и роговите.
15. И сите Јудејци се радува на таа заклетва, зашто се колнеа од се срце и со сета воља. Го бараа Господа, и Го најдоа. Тогаш Господ им даде спокојствие од сите страни.
16. А мајка си Маха царот ја лиши од царското достоинсто, затоа шти беше и служела на Астарта. Аса го сруши идолот нејзин, го исече на парчиња и го изгори во Кедронскиот дол.
17. Иако идолските светилишта не беа премавнати во Израилот, но срцето на Аса беше наполно предадено на Господа во сите дни негови.
18. Тој го внесе посветеното од таткото свој во Божјиот дом; среброто, златото и садовите.
19. И немаше војна до триесет и петтата година од царувањето на Аса.

Глава 16

1. Во триесет и шестата година од царувањето на Аса, израилскиот цар Васа се крена против Јудеја и почна да ја гради Рама, за да не му дозволи никому ниту да излегува од јудејскиот цар Аса, ниту да доа а кај него.
2. Тогаш Аса изнесе сребро и злато од ризниците на домот Господов и на царскиот дом и ги испрати до сирискиот цар Вен-Адад, кој живееше во Дамаск, велејки:
3. 'Да биде сојуз ме у мене и тебе, како што беше ме у татко ми и таткото твој; ти испракам сребро и злато: оди и раскини го сојузот свој со израилскиот цар Васа, за да се повлече од мене.'
4. Вен-Адад го послуша Аса и испрати свои војводи, што ги имаше кај себеси, против израилските градови, и тие го опустошија Ајнон, Дан и Авелмаим и сите житници во Нефарлимовите градови.
5. Кога чу за тоа Васа, престана да ја гради Рама и ја прекина работата своја.
6. А царот Аса ги собра сите Јудејци, и тие ги изнесоа од Рама камењата и дрвата, што ги употребуваше Васа за градење, и ги изгради со нив Гаваја и Мисфа.
7. Во тоа време дојде јасновидецот Ананиј при јудејскиот цар Аса и му рече: 'Бидејки ти се потпре на сирискиот цар, а не си се надевал на Господа, твојот Бог, затоа се спаси од рацете твои војската на сирискиот цар.
8. Етипците и Ливијците не беа ли со поголема сила и со многу повеке коли и коњаници? Но штом ти се надеваше на Госпдоа, и Он ги предаде во раката твоја,
9. зашто очите Господови ја гледаат целата земја, за да им помагаат на оние, чие срце наполно Му е предадено Нему. Ти сега постапи неразумно; затоа отсега ке имаш војни.'
10. Тогаш Аса се налути на јасновидецот и го затвори во темница, бидејки беше раздразнет од тоа против него. Во тоа време Аас го притискаа и некои од народот.
11. Ете, делата на Аса, први и последни, се опишани во книгата на царевите јудејски и израилски.
12. На триесет и деветтата година од царувањето свое Аса се разболе во нозете, и болеста негова се прошири до горните делови на телото; но во болеста своја не Го побара Господа, туку лекари.
13. И почина Аса при татковците свои и умре во четириесет и првата година од царувањето свои.
14. И го погребаа во гробницата, кој што сам си ја беше изградил во Давидовиот град; го положија на одарот, затрупан со благопријатни мириси и со разни вештачки масти, какви што изгореа големо множество за него.

Глава 17

1. Наместо него стана цар синот негов Јосафат, којшто се зацврсти против Израилците.
2. Тој распореди војски по сите утврдени градови на Јудеја и постави стражи по земјата Јудејска и по градовите Ефремови, што ги беше завладеал татко му Аса.
3. И Господ беше со Јосафата, зашто одеше по правите патишта на таткото свој Давид и не ги побара Вааловците,
4. туку Го побара Бога на таткото свој и постапуваше по Неговите заповеди, а не по делата на Израилците.
5. И Господ го зацврсти царството во рацете негови; сите Јудејци му носеа подароци на Јосафата; тој се здоби со големо богатство и слава.
6. Срцето негово му се возвиси во Господовите патишта; притоа тој ги премавна оброчиштата и младите шуми во Јудеја.
7. А на третата година од царувањето ги испрати кнезовите свои Бенхаил, Овадија, Захарија, Натанаила, и Михеја да го поучуваат народот по Јудините градови,
8. и со нив левитите: Семаја, Нетанија, Зевадија, Азаила, Семирамота, Јонатана, Адонија, Товија и Тов-Адонија, а со нив уште и свештениците Елишам и Јорам.
9. Тие ги подучуваа Јудејците, носејки ја со себе книгата на законот Господов; ги обиколуваа сите јудејски градови и го учеа народот.
10. И ги обзеде страв Господов сите земни царста околу Јудеја, и не војуваа со Јосафата.
11. А од Филистејците му носеа на Јосафата дарови и сребро за данок; исто така и Арапите му донесуваа ситен добиток: седум иљади и седумстотини овни и седум иљади и седумстотини јарци.
12. Се издигаше Јосафат се повеке, и изгради во Јудеја домови градови и тврдини.
13. Тој имаше големо богатство во јудејските градови, а во Ерусалим - храбри борци.
14. Еве го нивниот список според домовите на татковците нивни: од Јуда иљаданачалници: Адна водач, којшто имаше триста иљади храбри војници;
15. по него Јоанан началник, кој имаше двесте и осумдесет иљади;
16. по него Амасија, Зихриев син, кој се беше посветил на Господа; тој имаше двесте иљади силни војници.
17. Од Венијамина: храбриот војник Елијад, кој имаше двесте иљади вооружени со лак и штит;
18. по него Јозавад, кој имаше сто и осумдесет иљади вооружени војници.
19. Ете, тие му служеа на царот, освен од оние, што ги беше распоредил царот во утврдените градови по цела Јудеја.

Глава 18

1. Јосафат имаше големо богатство и слава, па се сроди со Ахава.
2. По неколку години отиде при Ахава во Самарија; и закла Ахав многу добиток, ситен и крупен, за него и за лу ето со него и го убедуваше да се кренат против Рамот Галадски.
3. И му рече Ахав, царот израилски, на Јосафата, царот јудејски: 'Ќе дојдеш ли со мене во Рамот Галадски?' Тој му одговори: 'Како што ке одиш ти, така и јас, како твојот народ, така и мојот народ; ке дојдам со тебе во војна!'
4. Уште му рече Јосафат на царот израилски: 'Прашај уште денес што ке рече Господ.'
5. Израилскиот цар собра четиристотини души пророци и им рече: 'Да одиме ли во војна против Рамот Галадски, или ке мируваме?' Тие одговорија: 'Оди, и Господ ке го предаде во раката на царот.'
6. Јосафат праша: 'Нема ли тука уште некој пророк Господов, да го прашаме и него?'
7. Му одговори царот израилски на Јосафата: 'Има уште еден човек, преку кого можеме да Го прашаме Господа, но јас него не го сакам, зашто тој не пророкоува добро за мене, туку секогаш пророкува лошто; тој е Михеј, син Јемлиев.' Јосафат му рече: 'Не зборувај така, цару!'
8. Царот израилски повика еден дворјанин и рече: 'Оди поскоро да го повикаш Михеја, синот Јемлиев!'
9. А царот израилски Ахав и Јосафат, царот јудејски, седеа секој на престолот свој, облечени во царска облека, седеа на плоштадот пред Самариските порти, и сите пророкуваа пред нив.
10. Седекија, синот Хананов, си беше направил железни рогови и рече: 'Вака вели Господ: ‘со нив ке ги избодеш Сиријците, додека не ги истребиш.‘'
11. И сите пророци го пророкуваа истото, велејки: 'Оди против Рамот Галадски, ке имаш успех, и Господ ке го предаде во раката на царот.'
12. Испратениот, што отиде да го повика Михеја, му рече: 'Ене, пророците едногласно му претскажуваат добро на царот; и твојот збор нека биде таков, како на секого од нив: изречи и ти добро.'
13. Михеј одговори и рече: 'Жив Господ! Она што ке ми каже Господ, тоа ке го изречам.'
14. Кога дојде при царот, а царот му рече: 'Михеј, да одиме ли во војна против Рамот Галадски, или да се воздржиме?' Тој одговори: 'Одете, ке имате успех; тие ке бидат предадени во рацете ваши.'
15. Царот му рече: 'Колку пати ке те заколнувам да не ми говориш ништо, освен вистината во името Господово?'
16. Тогаш Михеј рече: 'Ги видов сите синови на Израилот, распрснати по горите како овци без пастир, - и Господ рече: ‘тие немаат водач, секој нека се врати со мир во домот свој!‘'
17. Царот израилски му рече на Јосафата: 'Не ли ти реков, дека тој не ми пророкува добро, туку само лошо?'
18. Михеј пак рече: 'Тогаш чујте го зборот Господов: Го видов Господа, седнат на Својот престол, а сета војска небеска стоеше десно и лево од Него.
19. И рече Господ: ‘Кој ке го измами Ахава, израилскиот цар, да оди и да загине во Рамот Галадски?‘ И еден велеше вака, друг велеше инаку.
20. Истапи еден дух, застана пред лицето на Господа и рече: ‘Јас ке го измамам.‘ А Господ праша: ‘со што?‘
21. Тој одговори: ‘Ќе излезам и ке станам дух на лагата во устата на сите пророци негови.‘ И рече Он: ‘Ти ке го подмамиш и ке успееш; оди и направи така.‘'
22. И сега, ете, Господ допушти да влезе духот на лагата во устата на тие твои пророци, но Господ рече не е добро за тебе.'
23. Тогаш пристапи Седекија, син на Ханана, па го плесна Михема и рече: 'По кој пат премина од мене Духот Господов, за да говори во тебе?'
24. А Михеј рече: 'Ете, ке го видиш тоа во оној ден, кога ке бегаш од соба во соба, за да се сокриеш.'

25. Тогаш израилскиот цар рече: 'Земете го Михеја и одведете го при градоначланикот Емира и при кнезот Јоаса, царевиот син,
26. и речете, вака вели царот: ‘затворете го овој во темница и хранете го скудно со леб и вода, додека да се вратам со мир.‘'
27. А Михеј рече: 'Ако се вратиш со мир, тогаш не говорел Господ со мене.' И пак рече: 'Чујте го ова сите лу е!'
28. И тргнаа царот израилски и Јосафат, царот јудејски, кон Рамот Галадски.
29. И царот израилски му рече на Јосафата: 'Јас ке се преоблечам и ке влезам во борба, а ти облечи ги царските одежди. И се преоблече царот израилски, и влегоа во битка.
30. Тогаш царот сириски од својата кола им заповеда на војводите: 'Не удирајте ни на мал ни на голем, туку само на царот израилски!'
31. А кога началниците на колите го видоа Јосафата, си помислија: тоа е царот израилски, - и го опколија, за да се удрат со него. Но Јосафат извика, и Господ му помогна, и Бог ги одврати од него.
32. Штом началниците на колите видоа, дека не беше царот израилски, се вратија од него.
33. Во тоа време еден човек го затегна случајно лакот свој и го рани израилскиот цар низ составот на оклопот негов. И тој му кажа на човекот: 'Врати се назад и изведи ме од војската, зашто сум ранет.'
34. Но борбата во тој ден се засили; и израилскиот цар седеше на колата спроти Сирijците до вечерта и умре по зајдисонце.

Глава 19

1. Кога Јосафат, царот јудејски, се вракаше со мир во домот свој во Ерусалим,
2. излезе да го пресретни јановидецот Јуј, син Ананиев, и му рече на царот Јосафата: 'Требаше ли да му помагаш на безбожникот и да ги сакаш оние, што Го мразат Господа? Затоа гневот Господов падна врз тебе.
3. Но добро се најде во тебе, зашто ти ги истреби идолите во земјата Јудејска и го расположи срцето свое за да Го побараш Бога.'
4. Јосафат живееше во Ерусалим. И пак почна да го обиколува народот свој од Вирсавија до Ефремовата гора, и ги поврати кон Господа, Бога на татковците нивни.
5. И постави судии во земјата по сите утврдени градови на Јудеја, во секој град,
6. па им рече на судиите: 'Внимавајте што правите; вие вршите не суд човечки, туку суд Господов; во судската работа Бог е со вас.
7. Затоа стравот Господов нека биде врз вас: работете внимателно, зашто кај Господа, нашиот Бог, нема неправда, ни лицемерие, ниту примање дарови.'
8. Јосафат и во Ерусалим постави некои левити и свештеници и старешини на домовите татковци во Израилот - за суд Господов и за тужби. И се вратија во Ерусалим.
9. Тогаш им заповеда, велејки: 'Така работете со страв Господов, со верност и со чисто срце:
10. при секоја расправија, каква што ке дојде кај вас од браката ваши, што живеат по градовите свои, било за крвнина, или за закон, заповед, уредба и обреди, објаснувајте им да не грешат пред Господа, та да не дојде гневот Негов врз вас и врз браката ваши: така работете, и нема да згрешите.'
11. И ете, првосвештеникот Амарија е над вас за секоја Господова работа, а Завадија, синот Измаилов, кнез на Јудиниот дом, - за секоја царска работа, а и книжниците и левитите се пред вас. Бидете црвсти и работете, и Господ ке биде со добриот.'

Глава 20

1. Потоа Моавците и Амонитите, а со нив и некои од земјата Моавска, појдоа во војна против Јосафата.
2. Дојдоа и му јавија на Јосафата, велејки: 'Против тебе доа а големо множесто народ од преку море, од Сирија, и веке се во Асасан-Тамар, односно во Енгеди.
3. Јосафат се уплаши и го сврти лицето свое и Го побара Господа и објави пост во цела Јудеја.
4. Се собраа Јудејци да молат за помош од Господа; дојдоа да Го молат Господа од сите Јудини градови.
5. И застана Јосафат во собранието на Јудејците и на Ерусалимците во Домот Господов, пред новиот трем,
6. и рече: 'Господи, Боже на татковците наши! Не си ли Ти Бог на небото? Ти владееш над сите царства на народите; и во Твојата рака е силата и цврстината, и никој не може да устои спроти Тебе!
7. Не ли Ти, Боже наш, ги истера жителите на оваа земја, пред лицето на Твојот народ Израилот и му ја даде засекогаш на семето од Авраама, Твојот возљубен?
8. Тие се населија во неа и Ти изградија во неа светилиште во Твое име, велејки:
9. ‘ако дојде врз нас невоља: меч-погубен, или помор, или глад, ке застанеме пред овој дом и пред Твоето лице, зашто името Твое е во тој дом; и во маките свои ке повикаме кон Тебе, и ти ке не чуеш и ке не избавиш.‘
10. И сега, еве, Амонитите и Моавците и жителите на гората Сеир, преку чии земји не дозволи да преминат Израилците, кога доа аа од Египетската земја, па затоа тие ги одминаа и не ги сотреа.
11. А, еве, тие ни вракаат сега со тоа, што дошле да не истераат од Твоето наследствено владение, што си ни го дал.
12. Боже наш! Суди им Ти. Зашто ние немаме сила против тоа големо множество, што не нападнало и не знаеме, што да правиме; но очите ни се кон Тебе.'
13. Сите Јудејци стоеја пред лицето Господово, и нивните мали деца, жените нивни и синовите нивни.
14. Тогаш Духот Господов слезе среде собранието врз Јозиила, синот на Захарија, син Ванев, син Јеилов, син Матаниев, Левит од Асафовите синови.
15. и рече: 'Чујте сите Јудејци и жители ерусалимски, и ти, цару Јосафате! Вака ви вели Господ ваш: ‘Не плашете се и не стравувајте од тоа големо множество, зашто војната не е ваша, туку Божја.
16. Излезете утре против нив: ете, тие ке се искачуваат по ридот Асис, вие ке ги најдете на крајот на долината, спрема пустињата Јеруил.‘
17. Овој пат нема вие да се борите: застанете, стојте и гледајте го спасението од Господа, што ви се испрака. Јудо и Ерусалиме, не плашете се и не стравувајте! Излезете утре против нив, и Господ ке биде со вас.'
18. Јосафат се поклони со лицето до земја, и сите Јудејци и жители ерусалимски паднаа пред Господа, за да Му се поклонат.
19. А левитите од синовите Катови и од синовите Корееви почнаа да Го слават Господа, Бога Израилев, со многу висок глас.
20. Утредента станаа рано и тргнаа кон Текојската пустиња, и кога тргнаа, застана Јосафат и рече: 'Чујте ме, Јудејци и жители ерусалимски! Верувајте Му на Господа, вашиот Бог, и бидете цврсти; верувајте им на пророците Негови и ке имате успех.'
21. Потоа се посоветува со народот и постави певци пред Господа, тие со своето благолепие, одејки пред војската, да ја слават светоста и да велат: 'Фалете Го Господа, зашто милоста Негова е засекогаш!'
22. И кога почнаа да воскликнуваат и да славословат, Господ предизвика несогласност ме у Амонитите, Моавците и жителите на гората Сеир, што ја беа нападнале Јудеја, и тие беа

разбиени:
23. зашто Амонитите и Моавците се кренаа против жителите на горката Сеир, и ги биеја и ги истребуваа, а кога завршија со жителите на Сеир, почнаа да се истребуваат едни со други.
24. И кога Јудејците дојдоа на ридот при пустињата и го видоа она множесто, а таму - трупови, испружени по земјата, и никој не се беше спасил.
25. Дојде Јосафат и народот негов да собираат плен, најдоа кај нив прилично многу и богатство, и облека и скапоцени работи, и собраа толку, што не можеа да носат. Три дни собираа плен - толку многу голем беше тој!
26. А на четвртиот ден се собраа во долината на благословението, бидејки таму Го благословија Господа. Затоа тоа место се вика Долина на благословението и до денес.
27. Тогаш сите Јудејци и ерусалимците, на чело со Јосафата, тргнаа да се вратат во Ерусалим радосно, зашто Господ им даде победа над непријателите нивни.
28. И дојдоа во Ерусалим со псалтири, гусли и труби пред домот Господов.
29. И страв Божји нападна врз сите царства земни, кога слушнаа, дека Сам Господ војувал против непријателите на Израилот.
30. И царството Јосафатово се успокои; Господ му даде мир од сите страни.
31. Така царуваше Јосафат над Јудеја. Кога стана цар, беше на триесет и пет години, и царуваше во Ерусалим дваесет и пет години. Мајка му се викаше Азува, керка Салиева.
32. Тој одеше по патот на татка си Аса и не се отстрани од него, вршејки го она што е угодно пред очите на Господа.
33. Само идолските светилишта уште не беа разрушени, народот се уште не го беше свртел срцето свое кон Бога на татковците свои.
34. Другите дела Јосафатови, први и последни, опишани се во записите на Јуја, синот Ананиев, кои се внесени во книгата на израилските цареви.
35. Но потоа Јосафат, царот јудејски, се здружи со Охозија, цар израилски, кој постапуваше беззаконо;
36. се поврза со него, за да градат кораби, што ке ги испракаат во Тарсис; а изградија и кораби во Гасион-Гавер.
37. Тогаш Елиезер, синот Додиев од Мариса, пророкува за Јосафата и рече: 'Бидејки си се здружил со Охозија, Господ ке го разруши твоето дело'. И корабите се разбија и не можеа да одат во Тарсис.

Глава 21

1. И почина Јосафат при татковците свои и беше погребан со татковците свои во Давидовиот град. Место него цар стана синот негов Јорам.
2. Неговите брака, синови Јосафатови беа: Азарија, Јехиил, Захарија, Михаил и Сафатија; сите тие беа синови на Израилевиот цар Јосафат.
3. Нивниот татко им даде големи подароци во сребро, злато и скапоцености, заедно со утврдените градови во Јудеја, а царството му го предаде на Јорама, бидејки тој беше првороден.
4. Јорам стапи на татковиот престол, се утврди и ги уби со меч сите свои брака, а исто така и некои Израилеви кнезови;
5. Јорам беше на триесет и две години, кога стана цар, и царуваше во Ерусалим осум години;
6. тој одеше по патот на израилските цареви, како што постапуваше домот Ахавов, зашто Ахавовата керка му беше жена, - и го вршеше, она што беше неугодно пред очите Господови.
7. Но Господ, пак, не сакаше да го погуби домот Давидов поради заветот, што го беше склучил со Давида, и поради тоа што беше ветил да му даде светилник нему и на синовите негови за сите времиња.
8. Во неговите дни Едом се одметна од власта Јудина и си постави цар.
9. Затоа Јорам тргна со своите војводи, и со сите коли свои; и станувајки ноке, го порази Едома, кого го беа опколиле, и началниците на колите и народот избега во живеалиштата свои.
10. Но сепак Едом се одвои од власта на Јуда и до денес. Во исто време се одметна и Ливна од власта негова, зашто го беше оставил Господа Бога на татковците свои.
11. Исто така и идолски светилишта направи по горите јудејски, ги воведе во блудство ерусалимските жители и ја соблазни Јудеја.
12. И му дојде писмо од пророкот Илија, во кое се велеше: 'Вака говори Господ, Бог на татка ти Давида: ‘затоа што не тргна по патиштата на татка си Јосафата и по патиштата на Аса, царот јудејски,
13. туку појде по патот на израилските цареви и ги воведе во блудство Јудеја и ерусалимските жители, како што го воведуваше во блудство домот Ахавов, па уште и браката свои, домот на татка си, кои беа подобри од тебе, ти ги умртви.
14. Затоа, еве, Господ ке го порази со голем пораз твојот народ и синовите твои, и жените твои, и целиот имот твој,
15. а, пак, тебе, со лута болест, со болеста на цревата, така што од болеста ке па аат делови од утробата од ден на ден.‘'
16. И го подигна Господ против Јорама духот на Филистејците и Арапите, соседи на Етиопјаните;
17. и тие се кренаа против Јудеја, навлегоа во неа и го ограбија сиот имот, што беше во домот на царот, а исто така и синовите негови, и жените негови, та не му остана друг син, освен Охозија, најмалиот од синовите негови.
18. По сето тоа Господ ги порази цревата негови со болест неизлечива.
19. Така одеше одден наден, а кон крајот на втората година му паднаа цревата од болеста негова и тој умре во страшни маки; и народот не запали за него благопријатни мириси како што правеше за татковците негови;
20. тој беше на триесет и две години, кога стана цар, царуваше во Ерусалим осум години, и отиде неоплакан; го погребаа во Двидовиот град, но не во царските гробници.

Глава 22

1. Жителите ерусалимски место него за цар го поставија Охозија, најмалиот негов син, бидејки сите постари беа убиени од разбојници, што се беа приближиле до логорот со Арапите, - и така стана цар Охозија, синот на јудејскиот цар Јорама.
2. Охозија беше на дваесет и две години, кога стана цар, и царуваше во Еруслим една година; мајка му се викаше Готолија, керка на Амврија.
3. И тој исто така одеше по патиштата на Ахавовиот дом, зашто мајка му беше негова советничка во незаконските дела.
4. Тој го вршеше, она што беше неугодно пред очите на Господа, како домот Ахавов, зашто по смртта на татка му тој дом му беше советник, за негавата пропаст.
5. И, следејки го нивниот совет, Охозија отиде со израилскиот цар Јорама, син Ахавов, во војна против Азила, сирискиот цар, во Рамот Гладски. И Сирijците го ранија Јорама;
6. тој се врати во Израил да се лекува од раните, што му ги нанесоа во Рама, кога војуваше со Азаила, сирискиот цар. И Охозија, синот Јорамов, цар јудејски, дојде да го посети Јорама, синот Ахавов, во Израел, бидејки тој беше болен.
7. Тоа беше од Бога за пропаст на Охозија, затоа што тој дојде при Јорама; зашто, откако дојде, излезе со Јорама против Јуја, синот Намесиев, кого Господ го беше помазал за истребување на домот Ахавов.
8. Кога Јуј извршуваше суд над домот Ахавов, ги најде кнезовите јудејски и синовите на Охозиевите брака, кои му служеа на Охозија, и ги уби.
9. Тогаш заповеда да го бараат Охозија; го фатија, кога се криеше во Самарија; го доведоа при Јуја, го убија и го погребаа, зашто велеа: тој е син на Јосафата, кој Го бараша Господа со сето срце свое! И не остана во домот Охозиев никој, кој би можел да царува.
10. А Готолија, Охозиевата мајка, откако виде, дека син и умрел, стана и го погуби сиот царски род на Јудиниот дом.
11. Но царсктата керка Јосавета го зеде Охозиевиот син Јоаса, го грабна ме у царските синови, кога ги убиваа, и го скри со хранителката во спалната соба. На тој начин Јосавета, керката на царот Јорама, жена на свештеникот Јодаја, сестра на Охозија, го сокри Јоаса од Готолија, и таа не го убил.
12. И го криеја кај нив во домот Божји шест години; а над земјата царуваше Готолија.

Глава 23

1. Но во седмата година Јодај се охрабри и ги зеде во сојуз со себеси стоначалниците, синот Јероамов, Исмаила, синот Јоанов, Азарија, синот Овидов, Масеја, синот Адаиев, и Елисафата, син Захариев.
2. Тие ја обиколија земјата Јудина, ги собраа левитите од сите страни на Јудеја и Израилевите старешини на татковските домови и дојдоа во Ерусалим.
3. И целото собрание склучи сојуз со царот во домот Божји. И Јодај им рече: 'Еве, царскиот син треба да биде цар, како што рече Господ за синовите Давидови.
4. Еве, што ке направите: едната третина од вас, свештениците и левитите, што доа аа во сабота, нека бидат вратари при праговите,
5. втората третина - при царскиот дом, третата третина - при портите на Јесод, а сиот народ нека биде во тремовите на домот Господов.
6. И никој да не влегува до домот Господов, освен свештениците и оние од левитите, што служат. Тие можат да влезат, зашто се осветени; а сиот народ нека стои на стража Господова.
7. И левитите нека го опколат царот од сите страни, и кој ке влезе во домот Господов, да биде убиен. И бидете при царот, кога влегува и кога излегува.'
8. Левитите и сите Јудејци направија така како што заповеда свештеникот Јодај; и секој си ги зеде своите лу е, што доа аа во сабота, заедно со оние, што си заминуваа во сабота, зашто свештеникот Јодај не ги распушти смените.
9. Свештеникот Јодај им ги раздаде на стотниците копјата и малите и големите цар Давидови штитови, што беа во Божјиот дом;
10. и го постави сиот народ, секој со оружје свое во рацете, од десната страна на храмот кај жртвеникот и при домот околу царот.
11. Тогаш го изведоа царскиот син, му ставија венец и го прогласија за цар; го помаза Јодај и синовите негови и извика: 'Да живее царот!'
12. Кога го чу Готолија гласот на раздвижениот народ, кој го фалеше царот, излезе кај народот во домот Господен
13. и виде: ете царот стои на своето возвишено место при влезот, а кај царот - кнезови и труби, и сиот народ на таа земја се весели, трубат со трубите и со свирки пеачи, вешти во славословието. Тогаш Готолија ја раскина својата облека и почна да вика: 'Заговор! заговор!'
14. Тогаш свештеникот Јодај ги повика стоначалниците кои началствуваа над војската, и им рече: 'Изведете ја надвор од храмот, и кој ке тргне по неа да биде убиен со меч. Зашто свештеникот рече: не ја убивајте во домот Господов.'
15. И и направија пат; а кога таа дојде при влезот на коњската врата на царскиот дом, ја убија таму.
16. Јодај склучи завет со целиот народ и со царот, за да бидат народ Господов.
17. И целиот народ отиде во Вааловото капиште та го разруши, и жртвениците негови и идолите негови ги разрушија, а Матана, Вааловиот свештеник, го убија пред жртвениците.
18. И им ги довери Јодај делата на Господовиот дом на свештениците и левитите и ги обнови дневните свештенички и левитски свени, како што ги беше распоредил Давид до домот Господов, да Му вознесуваат сепаленица на Господа, како што е напишано во законот Мојсеев, со радост и пеење, по Давидовата наредба.
19. И постави вратари при вратата на домот Господов, за да не влегува никој нечист од што и да било.
20. И ги зеде стоначалниците и велможите, началниците народни и целиот народ на земјата и сите го придружуваа царот од домот Господов; тие минаа низ горната врата во царскиот дом и го ставија царот да седне на царскиот престол.
21. И се веселеше целиот народ на таа земја и градот се смири. А Готолија ја убија со меч.

Глава 24

1. Јоас беше на седум години, кога стана цар и царуваше во Ерусалим четириесет години; мајка му се викаше Савија, од Вирсавија.
2. Јоас вршеше она што беше угодно пред очите на Господа преку сите денови на свештеникот Јодај.
3. Јодај му зеде две жени, и тој имаше од нив синови и керки.
4. Потоа Јоас намисли да го обнови домот Господов,
5. И ги собра свештениците и левитите и им рече: 'Одете по градовите на Јудеја и секоја година собирајте од сите Израилци сребро за одржување на домот на нашиот Бог, и побрзајте во таа работа.' Но левитите не побрзаа.
6. И царот го повика Јодаја, нивниот главатар, и му рече: 'Зошто не бараш од левитите да го донесуваат од Јудеја и Ерусалим данокот, уставновен за скинијата на собранието од Мојсеја, слуга Господов, и од Израилското собраните?'
7. Бидејки нечестивата Готолија и синовите нејзини го беа разурнале домот Божји, и се, посветено на домот Господов, го беа употребиле за Вааловци.
8. Царот заповеда, та направија ковчег и го поставија при влезот на домот Господов, однадвор,
9. па разгласија по Јудеја и Ерусалим да Му Го принесуваат на Господа данокот, наложен од Мојсеја, слугата Божји, на Израилците во пустињата.
10. Се зарадуваа сите началници и сиот народ, па принесуваа и пуштаа во ковчежето, додека не се наполни.
11. И кога левитите, пак, го донесуваа ковчежето при царските чиновици, и тие гледаа, дека има многу сребро, доа аше царскиот писар и поверeникот на првосвештеникот, го празнеа и пак го однесуваа и го ставаа на истото место негово. Така правеа секој ден, и собраа многу сребро.
12. Царот и Јодај го предаваа на распоредниците по домот Господов, и тие најмуваа каменоресци и дрводелци за подновување на домот Господов, исто така и ковачи и казанџии, за да го поправат домот Господов.
13. Распоредниците работеа, и со нивните раце се изврши поправката, и го дотераа домот Божји во поранешна состојба и го поправија.
14. И кога завршија се, му го однесоа на царот и на Јодаја останатото сребро. И направија од него садови за домот Господов, садови за служба и сепаленици, чаши и други садови, златни и сребрени. И принесуваа сепаленици во домот Господов постојано преку сите денови на Јодаја.
15. Јодај остаре и, откако се насити од животот, умре: тој беше на сто и триесет години кога умре.
16. Го погребаа во Давидовиот град при царевите, бидејки тој правеше добро во Израилот - и за Бога и за домот Негов.
17. Но по смртта на Јодаја дојдоа Јудејските кнезови и му се поклонија на царот; оттогаш царот почна да ги слуша.
18. И го оставија домот Господов, Бога на татковците свои, и почнаа да им служат на посветените дрвја и на идолите; за таа вина нивна стана гневот Господов и врз Јуда и Ерусалим.
19. Тој им испрати пророци за да ги повратат кон Господа и им сведочеа, но тие не ги послушаа.
20. И Духот Божји го исполни Захарија, синот на свештеникот Јодај, и тој застана на возвишението пред народот и им рече: 'Вака вели Господ: зошто ги прекршувате Господовите заповеди? Успех нема да имате: како што вие го оставивте Господа, така и Он ке ве остави.'
21. Тогаш се побунија против него и го убија со камења, по заповед на царот Јоас, во дворот на Господовиот дом.
22. Царот Јоас не се сети на доброто, што му го беше направил Јодај, таткото на Захарија, а го уби синот негов. И тој, умирајки велеше: 'Нека види Господ и нека побара;'

23. Откако измина годината, излезе против него сириска војска и влегоа во Јудеја и Ерусалим и ги истребија од народот сите кнезови народни и сиот плен, земен од нив и му го испратија на царот во Дамаск.
24. Иако сириската војска беше дошла во мал број, но Господ им предаде во рацете нивни мошне многубројна сила, затоа што Го беа оставиле Господа, Бога на татковците нивни. Тие му судеа и на Јоаса.
25. Кога си отидоа од него, откако го оставија во тешка болест, слугите негови направија заговор против него, заради крвта на синот на свештеникот Јодај, го убија во леглото негово, и тој умре. Го погребаа во Давидовиот град, но не го погребаа во царските гробници.
26. А заговорници против него беа: Завад, син на Амонитката Симеата, и Јехозавад, син на Моавката Шимрита.
27. За синовите негови, за многуте пророштва против него и за обновувањето на Божјиот дом е напишано во книгата на царевите. Наместо него стана цар синот негов Амасија.

Глава 25

1. Амасија стана цар на дваесет и пет години и царуваше во Ерусалим дваесет и девет години; мајка му се викаша Јехоадан, од Ерусалим.
2. Тој вршеше она што беше угодно пред очите на Господа, но не со полно срце.
3. Кога се зацврсти на царството, тој ги уби слугите свои, што го беа убиле царот, таткото негов.
4. Но децата нивни не ги погуби, бидејки е напишано во законот, во книгата Мојсеева, каде што Господ заповедал, велејки: да не биваат убивани татковците заради децата, и децата да не бидат убивани заради татковците, туку секој треба да умре заради својот престап.
5. Амасија ги собра Јудејците, ги нареди според племињата нивни под власта на иљадници и стотници - сите Јудејци и Венијаминовци; ги преброи од дваесет години и нагоре, и ги најде триста иљади души одбрани, кои што одат во војна и држат копје и штит.
6. Тој најми од Израилците уште сто иљади храбри војници за сто таланти сребро.
7. Но дојде при него човек Божји и рече: 'Царе, нека не оди со тебе израилска војска, зашто Господ не е со Израилците, не е со никого од Ефремовите синови,
8. туку оди сам, врши работа, бори се храбро во војната. Инаку, ке те фрли Бог пред непријателот, зашто во Бога има сила да поткрепи и собори.'
9. Амасија му одговори на Божјиот човек: 'А што да се прави со стоте таланти, што и ги дадов на израилската војска?' Божјиот човек рече: 'Господ може да ти даде повеке од тоа.'
10. Амасија ги оддели, - војската, која беше дошла при него од земјата Ефремова, - да си одат во своето место. И тие се разгневија силно против Јудеја и се вратија во своето место многу налутени.
11. Амасија пак се осмели и го поведе народот свој, та отиде во Солената Долина и изби десет иљади синови Сеирови;
12. и десет иљади заробија живи синовите Јудини и ги одведоа на врвот од карпата, и ги турнаа оттаму и тие сите сосема се разбија.
13. А војската, што ја врати Амасија, за да не оди со него во војна, се растури по јудејските градови од Самарија до Ветерон, во кои уби три иљади души и собра многу плен.
14. Кога си дојде Амасија по поразот на Идумејците, ги пренесе боговите на Сеировите синови, ги постави кај себеси за богови и пред нив се клањаше и им кадеше.
15. Поради тоа се разгори гневот Господов против Амасија, и Он му испрати пророк, кој што му рече: 'Зошто прибегнуваш кон боговите на тој народ, кои што не го избавија својот народ од раката твоја?'
16. Додека тој говореше, царот одговори: 'Зар те поставив за царски советник? Престани, за да не те убијат.' И пророкот престана, велејки: 'Знам, дека Господ решил да те погуби, бидејки ти го направи тоа и не го слушаше мојот совет.'
17. Се посоветува Амасија, царот јудејски, и испрати да му кажат на израилскиот цар Јоас, син на Јоахаза, Јуевов син: 'Излези да се видиме лице во лице.'
18. Тогаш израилскиот цар Јоас изпрати до јудејскиот цар Амасија да му кажат: 'Трнот ливански испратил да му кажат на кедарот ливански: дај ја керката си на синот мој за жена. Но минале диви ѕверови ливански и го изгазиле тој трн.
19. Ти велиш: ете, ги избив Идумејците, - и срцето твое се возгордеа до пустославие. Седи погобро во домот свој. Зошто да се зафакаш со опасна работа? Ќе паднеш ти, и Јудеја со тебе.'
20. Но Амасија не послуша, бидјеки тоа беше од Бога, - за да ги предаде во раката на Јоаса, заради тоа што прибегна кон идумејските богови.
21. Излезе Јоас, царот израилски, и се видоа лице со лице, тој и Амасија, цар јудејски, во Ветсамис Јудејски.
22. И беа разбиени Јудејците од Израилците, и се разбегаа секој во шаторот свој.
23. И го улови Јоас, цар израилски, Амасија, царот јудејски, син на Јоаса, го доведе во Ерусалим и го собори ерусалимскиот ѕид во должина од четиристотини лакти - од Ефремовите порти до

аголните порти;
24. го зеде сето злато и сребро и сите садови, што беа во домот Божји во Овед-Едом, и ризницата на царскиот дом, и заложниците, и се врати во Самарија.
25. Амасија, син Јоасов, цар јудејски, живееше по смртта на израилскиот цар Јоас, Јоахавов син, петнаесет години.
26. Другите Амасиеви дела, прво и последно, се опишани во книгата на царевите јудејски и израилски.
27. Потоа, откако Амасија отстапи од Господа, направија заговор против него во Ерусалим, и тој избега во Лахис. Испратија по него во Лахис, и го убија таму.
28. И го донесоа на коњи, та го погребаа кај татковците негови во Јудиниот град.

Глава 26

1. Сиот народ го зеде Озија, кој имаше шеснаесет години, та го постави за цар на местото на таткото негов Амасија.
2. Тој го изгради Елат и и го врати на Јудеја, откако царот, таткото негов почина кај татковците свои.
3. Озија имаше шеснаесет години, кога стана цар, и царуваше во Ерусалим педесет и две години; мајка му се викаше Јехолија од Ерусалим.
4. Тој вршеше она што беше угодно пред очите на Господа, токму онака, како што вршеше и татко му Амасија;
5. прибегнуваше кон Бога во дните на Захарија, којшто учеше на страв Божји; и во оние денови, додека прибегнуваше кон Господа, Бог му помагаше.
6. Тој излезе и се судри со Филистејците и ги разруши ѕидовите на Гет, и ѕидовите на Јавнија, и ѕидовите на Азот; ги изгради градовите во Азотската област и кај Филистејците.
7. И Бог му помагаше против Филистејците и против Арапите, што живееја во Гур-Ваал, и против Меунците.
8. И Амонитите му плакаа данок на Озија; и се прочу името негово дури во египетските предели, зашто беше многу силен.
9. Озија изгради кули во Ерусалим над аголните порти, над портите кон долината и на аголот, и ги зацврсти.
10. Изгради кули и во пустињата, ископа и многу кладенци, бидејки тој имаше многу добиток, како во низините, така и во рамнината, и земјоделци и градинари по планините и на Кармил, бидејки го сакаше земјоделството.
11. Озија имаше војска, која излегуваше во војна по одделенија, според она како што беа изброени во списокот, составен од раката на писарот Јеила, и надѕирателот Маасеја, под водството на Хананија, голем царски великодостојник.
12. Сите оценачалници, храбри војници, беа на број две иљади и шестотини,
13. и под команда на раката нивна имаше воена сила триста и седум иљади и петстотини души, кои влегуваа во битка со воинствена храброст, да му помагаат на царот против непријателот.
14. И подготви Озија за нив, за целата војска, штитови и копја, шелмови и оклопи, лакови и камења за пракки.
15. Направи во Ерусалим вешто измислени машини, да стојат на кулите и аглите, за да се фрлаат со нив стрели и големи камења. И се прочу името негово далеку, зашто се беше зацврстил чудно и беше станал многу силен.
16. Но кога стана силен, се возгордеа срцето негово за негово загинување, и тој стана престапник пред Господа, својот Бог, зашто влезе во храмот Господа за да запали темјан на кадилниот жртвеник.
17. По него отиде свештеникот Азарија и со него осумдесет Господови свештеници, одлични лу е;
18. тие му се противставија на царот Озија и му рекоа: 'Не е твоја работа, Озија, да му кадиш на Господа; тое е работа на свештениците, синови Аронови, посветени за кадење; излези од светилиштето, зашто постапи незаконито, и тоа нема да ти биде за чест пред Господа Бога.'
19. Се налути Озија, - а во раката негова имаше кадилница за кадење, и кога се налути на свештениците, се појави лепра на челото негово, пред лицето на свештениците во домот Господов, при кадилниот жртвеник.
20. Го погледна првосвештеникот Азарија и сите свештеници; и ете, имаше лепра на челото свое. Го принудија да излезе оттаму, па и самиот тој брзаше да се оддалечи, зашто го порази Господ.
21. И остана лепрозен царот Озија до денот на смртта своја, и живееше во посебна кука и беше отстранет од домот Господов. А Јоатам, неговиот син, началствуваше над царскиот дом и

управуваше со народот во земјата.
22. Другите дела Озиеви, први и последни, ги опишал пророкот Исаија, син Амосов.
23. И почина Озија при татковицте свои, и го пограбаа кај татковците негови во полето при царските гробници, зашто велеа, тој е лепрозен. А наместо него стана цар синот негов Јоатам.

Глава 27

1. Јоатам беше на дваесет и пет години, кога стана цар, и царуваше во Ерусалим шеснаесет години; мајка му се викаше Јеруса, Садакова керка.
2. Тој вршеше она што Му беше угодно пред очите на Господа, токму онака како што правеше Озија, таткото негов, само што не влегуваше во Господовиот храм, а народот се уште грешеше.
3. Тој ја изгради и горната врата на домот Господов и изгради многу нешто на ѕидот Офел;
4. изгради и градови во Јудејската планина, а во горите изгради дворци и кули.
5. Тој војуваше со царот на Амонитите и ги победи, и Амонитите му дадоа во таа година сто талатни сребро и десет иљади мери пченица и десет иљади мери јачмен. Тоа му го даваа Амонитите и во втората и третата година.
6. Затоа Јоатам беше толку силен, бидејки ги управуваше патиштата свои пред Господа, својот Бог.
7. Другите дела на Јоатама и сите негови војни и однесување се опишани во книгата на царевите израилски и јудејски.
8. Тој беше на дваесет и пет години кога стана цар, а царуваше шеснаесет години во Ерусалим.
9. И почина Јоатам при татковците свои, и го погребаа во Давидовиот град. И наместо него стана цар синот негов Ахаз.

Глава 28

1. Ахаз беше на дваесет години кога стана цар, и царуваше во Ерусалим шеснаесет години; и тој не го вршеше угодното во очите Господови, како што правеше таткото негов Давид;
2. тој одеше по патот на израилските цареви, и дури направи излеани кипови на Вааловци;
3. и тој кадеше во долината на Еномовите синови, и го протеруваше низ огин синовите свои, подражавајки ги гнасотиите на оние народи, коишто Господ ги прогони пред лицето на Израилевите синови;
4. принесуваше жртви и кадеше по оброчиштата и по ридовите и под секое разгрането дрво.
5. Затоа Господ, неговиот Бог, го предаде во рацете на сирискиот цар, и Сирijците го разбија и му зедоа многу заробеници, кои ги одведоа во Дамаск. Беше предаден и во рацете на израилскиот цар, и тој му нанесе голем пораз.
6. Факеј, син Рамалиев уби во еден ден сто и дваесет иљади Јудејци, лу е воинствени, затоа што го беа оставиле Господа, Бога на татковците свои.
7. А Зихриј, силен јунак од Ефремовците, го уби Масеја, царевиот син, и Азрикама, началник на дворот, и Елкана, втор по царот.
8. И зедоа синовите Израилеви од браката свои, Јудејците, двесте иљади жени, синови и керки; ограбија и многу плен од нив, и го однесоа ограбеното во Самарија.
9. Таму имаше пророк Господов, по име Одед. Тој излезе пред војската, која, одеше во Самарија, и им рече: 'Ете, Господ, Бог на татковците ваше, во гневот Свој против Јудејците, ги предаде во ваше рака, и вие ги избивте со таква јарост, која стигна до небесата.
10. И сега мислите да ги направите синовите на Јуда и Ерусалим ваши робови и робинки. А зар немате и вие вина пред Господа, вашиот Бог?
11. Затоа послушајте ме, и вратете ги пленците, што сте ги заробиле од браката свои, зашто пламенот на гневот Господов е на вас.'
12. И некои од началниците на синовите Ефремови: Азарија, син Јехохананов, Берехија, син Мешилемотов, Езекија, син Салумов, и Амаса, син Хадлеев, застанаа спроти оние што доа аа од војна.
13. и им рекоа: 'Не ги доведувајте пленците тука, зашто би згрешиле пред Господа. Зар мислите да придодадете уште кон гревовите наши и кон престапите наши? Нашата вина е голема, и пламенот на гневот Господов е врз Израилот.'
14. И вооружените ги оставија пленците и пленот при воените началници и пред целото собрание.
15. И станаа споменатите по име мажи, ги зедоа пленците, и сите што беа голи ги облекоа од ограбеното, - ги облекоа и ги обуа, и ги нахранија, и ги напоија, и ги помазаат со масло, и ги качија на осли сите слаби, и ги испратија во Ерихон, град на палмите, при браката нивни, и се вратија во Самарија.
16. Во тоа време царот Ахаз испрати до асирските цареви да му помогнат,
17. зашто Идумејците уште напа аа и мнозина асирски цареви да му помогнат,
18. а Филистејците се растурија по градовите во низината и во јужна Јудеја и го презедоа Ватсамис и Ајалон, Гадерот и Сохот со потчинетите му градови. Тимна со потчинетите и градови и Гимзо со потчинетите му градови, и се населија таму.
19. Така ја понижи Господ Јудеја поради Ахаза, царот јудејски, зашто тој ја разврати Јудеја и тешко грешеше пред Господа.
20. И дојде кај него асирскиот цар Теглатфеласар, но му беше од штета, наместо да му помогне,
21. зашто Ахаз ги зеде ризниците од домот Господов, од царскиот дом и од кнезовите, и се му даде на асирскиот цар, но и тоа не му помогна туку го ожалости.
22. И во таа притеснета положба тој продолжуваше да прави беззаконија пред Господа, тој - царот Ахаз;
23. им принесуваше жртви на дамаските богови, мислејки, дека тие го поразија, па велеше:

'Боговите на сириските цареви им помагаат; ќе им принесам жртва, тие и на мене ќе ми помогнат.' Но тие беа за па ањето негово и на целиот Израил.
24. Ги собра Ахаз садовите на домот Божји и ги разби, ја затвои вратата на домот Господов и си изгради жртвеници по сите агли на Ерусалим,
25. по сите градови Јудини направи оброчишта, за да кади на ту и богови, и Го дразнеше Господа, Бога на татковците свои.
26. Другите дела и сите негови постапки, првите и последните, се опишани во книгата на царевите јудејски и израилски.
27. И почина Ахаз при татковците свои, и го погребаа во градот, во Ерусалим, но не го внесоа во гробниците на израилските цареви. Наместо него стана цар синот негов Езекија.

Глава 29

1. Езекија стана цар на дваесет и пет години, и царуваше во Ерусалим дваесет и девет години; мајка му се викаше Авија, Захариева керка.
2. Тој правеше она што беше угодно пред очите Господови, токму онака како и таткото негов Давид.
3. Уште во првата година на царувањето свое, во првиот месец, тој ги отвори вратите на домот Господов и ги обнови;
4. и им заповеда на свештениците и левитите да дојдат, ги собра на источниот плоштад
5. и им рече: 'Послушајте ме, левити! Сега осветете се, осветете го и домот на Господа, Бога на татковците ваши; исфрлете ја нечистотијата од светилиштето.
6. Зашто татковците наши постапуваа неугодно пред очите на Господа, нашиот Бог, Го оставија, го одвратија лицето свое од Господовото живеалиште, Му свртија грб,
7. ја затворија вратата на притворот, ги угаснаа светилниците, не палеа кадило и не принесуваа сепаленици во светилиштето на израилевиот Бог.
8. И гневот Господов беше врз Јудеја и врз Ерусалим, и Он ги предаде на презир, на опустошување и на потсмев, како што гледате со очите свои.
9. Ете, татковците наши паднаа под меч, а синовите наши, и керките наши, и жените наши за тоа се во плен во ту а земја досега.
10. И сега имам на срце да склучам завет со Господа, Бог Израилев, та да го отстрани од нас пламенот на гневот Свој.
11. Деца мои! Не бидете немарни, зашто Господ ве избра за да претстоите пред лицето Негово, да Му служите и да Му бидете служители и да кадите.'
12. Тогаш станаа левитите: Махат, син Амасаев, и Јоел, син Азариев, - од синовите Каатови; и од синовите Мерариеви: Кис, син Авдиев, и Азарија, син Јехалелов; и од племето Гирсоново: Јоах, син на Зима, и Еден, син Јоахов;
13. и од синовите Елисафанови: Симри и Јеиел; и од синовите Асафови: Захарија и Матанија;
14. и од синовите Еманови; Јехиел и Симеј; и од синовите Идитунови: Семаја и Узиел.
15. Тие ги собраа браката свои, се осветија и отидоа по заповед на царот да го очистат домот Господов, според словото Господово.
16. Свештениците влегуваа внатре во домот Господов, за да го очистат, и сето нечисто, она што најдоа во храмот Господов, го изнесоа во дворот на домот Господов, а левитите го зедоа тоа да го изнесат надвор кон потокот Кедрон.
17. И почнаа да осветуваат на првиот ден од првиот месец, и на осмиот ден на истиот месец влегоа во притворот Господов; го осветуваа домот Господов осум дена, и на шеснаесеттиот ден од првиот месец завршија.
18. Тогаш дојдоа во домот при царот Езекија и рекоа: 'Го исчистивме домот Господов и жртвеникот за сепаленици, и сите негови садови, и трпезата за лебовите на предложението, и сите нејзини садови;
19. сите садови што беше ги зафрлил царот Ахаз во текот на царувањето свое, во своето беззаконие, ги приготвивме и осветивме; ете, тие се пред Господовиот жртвеник.'
20. Утредента рано царот Езекија стана, ги собра градските началници и отиде во домот Господов.
21. И дотера седум телиња, седум овни, седум јагниња и седум козли - да ги принесат како жртва за грев, за царството, за светилиштето и за Јудеја; и им заповеда на свештениците, синови Аронови, да принесат сепаленици врз Господовиот жртвеник.
22. И ги заклаа телците, а свештениците зедоа крв и го поросија жртвеникот; ги заклаа овните и го поросија со крв жртвеникот; ги заклаа јагнињата и го поросија со крв жртвеникот.
23. Ги дотераа и козлите за грев пред царот и собранието, и тие ги положија врз нив рацете свои.
24. Свештениците ги заклаа и го исчистија со нивната крв жртвеникот, за да се истријат

гревовите на целиот Израил, зашто царот беше заповедал да се принесе сепалиница и жртва за грев за целиот Израил.
25. И постави левити во домот Господов со кимвали, псалтири и гусли, според наредбите на Давида и Гада, јасновидец царски, и на пророкот Натан, бидејќи таа заповед беше дадена од Господа преку пророците Негови.
26. И застанаа левитите со Давидовите свирки и свештениците со труби.
27. Тогаш Езекија заповеда да принесат сепаленица врз жртвенкот. И кога почна сепаленицата, почна пеење на Господа со звуци на трубите и свирките на Давида, цар Израилев.
28. И целото собрание се молеше, пеачите пееја и трубите трубеа, додека не заврши сепаленицата.
29. А кога заврши сепаленицата, царот и сите, што беа при него, се наведнаа и се поклонија.
30. Царот Езекија и кнезовите им рекоа на левитите да Го слават Господа со зборовите на Давида и јасновидецот Асаф; тие славеа со радост и се наведнуваа и се поклонуваа.
31. Продолжи Езекија и рече: 'Сега вие Му се посветивте на Господа: пристапувајте и принесувајте жртви и благодарствени принесуавања во домот Господов. И целото собрание почна да принесува жртви и благодарствени приноси, и на кого срцето му беше расположено - и сепаленици.
32. А бројот на сепалениците, што собранието ги донесе, изнесуваше: седумдесет волови, сто овни, двесте јагниња - сето тоа за сепаленица на Господа.
33. Други свештени жртви имаше: шестотини глави крупен добиток и три иљади ситен добиток.
34. Но свештениците беа малку и не можеа да ги одерат кожите од сите сепаленици, па им помагаа браката нивни левитите, додека се сврши работата и додека се осветија другите свештеници, зашто левитите беа поусрдни во освештението свои, отколку свештениците.
35. А притоа имаше многу сепаленици со масни меса од мирните жртви и со преливи врз сепаленицата. Така беше востановено служењето во домот Господов.
36. И се радуваше Езекуја и целиот народ, поради тоа што Бог така го расположи народот, бидејќи тоа стана неочекувано.

Глава 30

1. Испрати Езекија по целата земја Израилски и Јудеја, пишуваше и писма до Ефрема и племињата на Манасија, да дојдат во домот Господов во Ерусалим, за да направат Пасха на Господа, Бога Израилев.
2. А во советот царот и кнезовите и целото собрание во Ерусалим решија да направат Пасха на вториот месец.
3. бидејки не можеа да ја направат кога и беше времето, зашто уште немаше доволен број осветени свештеници, па и народот не се беше собрал во Ерусалим.
4. Тоа му се допадна на царот и на целото собрание.
5. И решија да разгласат по цел Израил, од Вирсавија до Дан, да отидат во Ерусалим да Му направат Пасха на Господа, Бога Израилев, зашто одамна не ја беа правеле, како што е наредено.
6. И тргнаа брозоодци со писма од царот и од кнезовите негови по целата земја Израилска и Јудеја, и по заповед на царот велеа: 'Деца Израилеви! Обрнете се кон Господа, Бога Авраамов, Исаков и Израилев, и Он ке се сврти кон оние, што се унесрекени ме у вас од раката на асирските цареви.
7. И не бидете како татковците ваши и браката ваши, кои постапуваа беззаконо пред Госода, Бога на татковците ваши, и Он ги предаде за истребување, како што гледате.
8. Сега не бидете тврдоглави како татковците ваши, покорете Му се на Господа и доа ајте во светилиштето Негово, кое Он го освети засекогаш; служете Му на Господа, нашиот Бог, и Он ке го отстрани од вас пламенот на гневот Свој.
9. Кога ке се обрнете кон Господа, браката ваши и децата ваши ке најдат милост кај оние, што ги заробиле, и ке се вратат во оваа земја; зашто Господ, Бог наш, е благ и милосрден и нема да го сврти лицето од вас, ако се обрнете кон Него.'
10. Брзоодците одеа од град во град по земјата Ефремова и Манасиева, дури до Завулоновата, но им се смееја и се подбиваа со нив.
11. Но пак некои од коленото Асирово, Манасиево и Завулоново се смирија и дојдоа во Ерусалим.
12. А над Јудеја беше раката Божја, та им даде едно срце, за да ја исполнат заповедта на царот и кнезовите, според словото Господово.
13. И се собра во Ерусалим многу народ, за да го празвуваат празникот на Бесквасниците пред вториот месец: собранието беше мошне многубројно.
14. Па станаа и ги растурија жртвениците, што беа во Ерусалим, и се, врз кое кадеа на идолите, испокршија и го фрлија во потокот Кедрон,
15. го заклаа пасхалното јагне на четиринаесеттиот ден од вториот месец. Свештениците и левитите, посрамени, се осветија и принесоа сепаленица во домот Господов,
16. и застанаа по своите места, според уредбата своја, по законот на Мојсеја, Божји човек. Свештениците оросуваа со крв, земајки ја од рацете на левитите.
17. А бидејки во собранието имаше мнозина кои не беа се осветиле, тогаш, наместо тие нечистите, го колеа пасхалното јагне левитите, за да го посветат на Господа.
18. Мнозина од народот, повекето од коленото Ефремово и Манасиево, Исахарово и Завулоново, не се очистија; но и тие јадеа пасха, не според законот.
19. Но Езекија се помоли за нив и рече: 'Благиот Господ да прости секого, кој што го расположил срцето свое да Го бара Господа Бога, Бог на татковците свои, макар и без свештено очистување.'
20. И Господ ги послуша Езекија и му прости на народот.
21. Така синовите Израилеви, кои што беа во Ерусалим, го извршија празникот на Бесквасниците през седум дена со голема веселба; секој ден левитите и свештениците Го славеа Господа со свирки, нагласени за славословување на Господа.
22. И говореше Езекија според срцето на сите левити, кои знаеја добро да Му служат на

Господа. И ја јадеа празничната жртва седум дена, принесувајки мирни жртви и славејки Го Господа, Бога на татковците свои.
23. И целото собрание реши да празнува други седум дена, и ги поминаа тие седум дена во веселба,
24. зашто Езекија, цар Јудејски, дотера за собраните иљада телиња и десет иљади ситен добиток, а велможите дотераа за собраните иљада телиња и десет иљади ситен добиток; тогаш веке се осветија мошне многу свештеници.
25. И се веселеа сите собрани од Јудеја, свештеници и левити, и целото собрание, надојдено од Израил, и дојденците што беа дошле од Израилската земја и кои што живееја во Јудеја.
26. И стана голема веселба во Ерусалим, зашто од дните на Соломона, син Давидов, цар Израилев, не се случи такво нешто во Ерусалим.
27. Тогаш станаа свештениците и левитите и го благословија народот; и нивниот глас беше чуен од Господа, и молитвата нивна се вознесе до небесата, во светото Негово живеалиште.

Глава 31

1. Откако заврши сето тоа, сите Израилци што се најдоа таму, отидоа по јудејските градови, та
ги испокршија идолите, ги исекоа посветените дрвја, ги разрушија оброчиштата и
жртвениците докрај по целата Јудеја и во земјата Венијаминова, Ефремова и Манасиева. Потоа
се вратија сите синови Израилви, секој во владението свое, во градовите свои.
2. И нареди Езекија свештенички и левитски смени, според распределбата нивна, секој при
својата работа, свештеничка и левитска, при сепаленица и при мирни жртви, за служба, за
фалење и славословие, при вратата на домот Господов.
3. И определи царот дел од имотот свој за сепаленици; за утрни и вечерни сепаленици, за
сепаленици во саботите според новомесечијата и празниците, како што е запишано во законот
Господов.
4. Му заповеда уште на народот во Ерусалим, да им дава одредена издршка на свештениците
и левитите, за да бидат ревносни во законот Господов.
5. Кога се разгласи таа заповед, синовите Израилеви издонесоа многу големи количества:
жито, вино, дрвено масло, мед и секакви полски производи; донесоа уште десеток од се во
изобилство.
6. Израилците и Јудејците што живееја по јудејските градови, исто така донесоа десеток од
крупниот и ситниот добиток и десеток од жртвите, посветени на нивниот Господ Бог; и
натрупаа купишта и купишта.
7. Почнаа во третиот месец да натрупуваат купишта, и завршија во седмиот месец.
8. И дојдоа Езекија и велможите и видоа купишта, Го благословија Господа и народот Негов
Израила.
9. Тогаш ги праша Езекија свештениците и левитите за тие купишта.
10. Му одговори Азарија, првосвештеник од домот Садоков, и рече: 'Откако почнаа да носат
приноси во домот Господов, јадевме до наситување и пак остана многу, зашто Господ го
благослови народот Свој. Ова големо множество е остаток.
11. Тогаш Езекија заповеда да подготват соби при домот Господов. И тие подготвија.
12. И ги пренесоа таму приносите, десетоците и жртвите со голема точност. Настојник кај нив
беше левитот Хоманиј, а братот негов Симеј го држеше второто место.
13. А Јеил, Озија, Наед, Асаил, Јеримот, Јозавад, Елиил, Самахија, Мат и Ванаја беа надзорници
под управа на Хонанија и наеговиот брат Самеја - по наредбата на царот Езекија и Азарија,
началникот при Божјиот дом.
14. Кореј, синот на Јемнин, левит, вратар на источната страна, беше при доброволните приноси
на Бога, за да го разделува принесеното на Господа и најважните осветени предмети.
15. Под негова управа беа: Одом, Венијамин, Исус, Семеја, Амарија и Сехонија во
свештеничките градови, за да раздаваат делови на браката свои точно, како на големите, така
и на малите.
16. надвор од списокот нивни, на сите од машки пол од три години и нагоре, на сите, што одат
во домот Господов за секојдневните работи, - за службата нивна, според должностите нивни и
според редовите нивни;
17. на запишаните свештеници во списокот, според поколенијата нивни, на левитите од
дваесет години и нагоре, според должностите нивни според редовите нивни,
18. на запишаните во списокот со сите нивни малолетни, со жените нивни, синовите нивни и
керките нивни, - на сето општество, бидејки тие со целосна верност и се посветија на
свештената служба.
19. А за синовите Аронови, свештеници во селата околу градовите нивни, во секој град беа
поставни мажи определени да ги раздаваат деловите на сите од машки пол при свештениците
и на сите, запишани во списокот при левитите.
20. Еве што направи Езекија по цела Јудеја; тој го правеше, она што е добро и право и
вистинито пред Господа, својот Бог.

21. И во се она, што го преземаше за да му служи на Божјиот дом и да го запази законот и заповедите, мислејки на својот Бог, тој се трудеше од се срце, и имаше успех.

Глава 32

1. По таквите дела и таквата верност дојде Сенахирим, царот асирски, навлезе во Јудеја, ги опседна утврдените градови и намераваше да ги освои.
2. Кога виде Езекија, дека Сенахирим дошол со цел да војува против Ерусалим,
3. реши со кнезовите и со своите силни лу е да ги затвори сите извори на вода надвор од градот; и тие му помогнаа.
4. Се собра многу народ и ги затрупаа сите извори и потокот, кој течеше низ земјата, велејки: кога ке дојде асирскиот цар, да не најдат многу вода и да не се утврдува.
5. И се утврди Езекија, ги поправи сите срушени ѕидови и ги издигна до кулата, а надвор изгради друг ѕид, го утврди Мило во Давидовиот град и поготви многу оружје и штитови.
6. Постави воени началници над народот и ги собра при себе на плоштадот кај градските порти, па им говореше од срце, велејки:
7. 'Бидете тврди и храбри, не бојте се и не плашете се од асирскиот цар и од сето множество, кое е со него, зашто со нас има повеке, отколку со него;
8. со него е телесна мишка а со нас е Господ, Бог наш, за да ни помага и да се бори во битките наши.' И народот се охрабри од зборовите на Езекија, царот Јудејски.
9. Потоа асирскиот цар Сенахирим испрати свои слуги во Ерусалим, - кога тој лично беше во Лахис, и сета негова сила со него, - до јудејскиот цар Езекија и до сите Јудејци во Ерусалим, да кажат:
10. 'Вака вели Сенахирим, царот асирски: ‘на што се надевате и седите во Ерусалим опседнати?‘
11. Зар Езекија не ве мами, за да ве предаде на смрт од глад и жед, кога ви вели: ‘Господ, Бог наш, ке не спаси од раката на асирскиот цар‘?
12. Зар тој Езеија ги премавна светилиштата Негови и жртвениците Негови и им рече на Јудејците и на Ерусалим: пред еден жртвеник поклонувајте се и врз него кадете!
13. Зар не знаете, што направив јас и татковците мои со сите земни народи? Можеа ли боговите на земните народи да ја спасат земјата своја од раката моја?
14. Кој од сите богови на народите, што моите татковци ги истребија, можеше да го спаси својот народ од раката моја? Ке може ли и вашиот Бог да ве спаси вас од раката моја?
15. А сега, нека не ве мами Езекија и да не ве заведува така; не верувајте му; ако ни еден бог ниту на еден народ и царство не беше во состојба да го спаси народот свој од раката моја и од раката на татковците мои, тогаш и вашиот Бог нема да ве спаси вас од раката моја.'
16. И уште многу говореа слугите негови против Господа Бога и против Езекија, Неговиот слуга.
17. Тој напиша писмо, во кои Го хулеше Господа, Бога Израилев, и говореше против Него ваквки зборови: 'Како што боговите на земните народи не ги спасија своите народи од раката моја, така и Езекиевиот Бог нема да го спаси Својот народ од раката моја.'
18. И викаа со силен глас на јудејски јазик кон народот во Ерусалим, кој беше по ѕидовите, за да го заплашат и исплашат, та да го преземат градот.
19. И говореа за Бога на Ерусалим, како за боговите на земните народи, - дело на човечки раце.
20. Тогаш царот Езекија и пророкот Исаија, синот Амосов, се помолија и кренаа глас кон небото.
21. И Господ испрати Ангел, кој ги погуби сите јунаци, главниот начланик и началаниците на војската на асирскиот цар, и тој се врати посрамен во земјата своја. И кога дојде во домот на својот бог, таму го убија со меч излезените од бедрата негови.
22. Така го спаси Господ Езекија и ерусалимските жители од раката на асирскиот цар Сенахирим и од рацете на сите, и ги пазеше насекаде.
23. Тогаш мнозина почнаа да му донесеуваат дарови на Господа во Ерусалим и скапи работи на јудејскиот цар Езекија. И тој се издигна потоа во очите на сите народи.

24. Во тие дни се разболе Езекија на смрт. И Му се помоли на Господа, и Он послуша и му даде знак.
25. Но Езекија не Му благодари за направените му добрини, зашто срцето негово се возгордеа. Затоа гневот Божји падна врз него, врз Јудеја и Ерусалим.
26. Но штом Езекија се смири и гордоста во срцето негово, - тој и ерусалимските жители, - гневот Господов не падна врз нив во Езекиевите денови.
27. Езекија имаше многу големо богатство и слава; си направи ризници за сребро и злато и за скапоцени камења, како и за благопријатни мириси, штитови и секакви скапи садови;
28. и одделни простории за земни производи: жито, вино и елеј, и трла за секаков добиток и огради за стада.
29. Си изгради и градови. А стада од ситен и крупен добиток имаше многу, зашто Бог му беше дал многу голем имот.
30. Тој, пак, Езекија, го затвори горниот проток на Гионските води и го насочи удолу, западно од Давидовиот град. И во секоја своја работа Езекија беше успешен.
31. Само при пратениците на вавилонските цареви, што беа испратени до него да прашаат за едно чудо, што се случило на земјата, Господ го остави, за да го испита и да открие се, што му беше во срцето.
32. Другите дела на Езекија и неговите милости се опишани во видението на пророкот Исаија, син Амосов, и во книгата за царевите јудејски и израилски.
33. Почина Езекија при татковците свои, и го погребаа погоре од гробиштата на Давидовите синови, а по неговата смрт сите Јудејци и жители ерусалимски му укажаа почест. И место него цар стана синот негов Манасија.

Глава 33

1. Манасија беше на дванаесет години кога стана цар, и царуваше во Ерусалим педесет и пет години.
2. Тој го вршеше она што не беше угодно пред очите Господови, подражувајки ги гадотиите на народите, кои Господ ги беше прогонил од лицето на синовите Израилеви.
3. Изгради пак идолски светилишта, што ги беше урнал таткото негов Езекија, им издигна жртвеници на Вааловци, подигна млади шуми и се клањаше на целото небеско воинство и му служеше;
4. изгради жртвеници и во Господовиот дом, за кој Господ беше рекол: ‘во Ерусалим ке пребива името Мое вечно.‘
5. изгради и жртвеници на целото небеско воинство во двата трема на Господовиот дом.
6. Тој ги преведуваше преку оган синовите свои во долината на Еномовиот син, гаташе, вражаше и ма епсуваше; и повика извикувачи на мртви и волшебници: тој вршеше многу лоши работи пред очите на Господа, за да Го разгневи.
7. Направи уште и извајан идол и го постави во Господовиот дом, за кој што Бог му беше рекол на Давида и на синот негов Соломона: ‘во тој дом и во Ерусалим, што го избрав ме у сите колена Израилеви, ке го положам името Свое засекогаш;
8. и нема да оставам во иднина да излезе ногата Израилева од таа земја, што ја утврдив за татковците нивни, само ако тие се потрудат да го вршат се она, што сум им го заповедал во целиот закон и наредбите и заповедите, дадени преку раката Мојсеева.
9. Но Манасија ја доведе Јудеја и ерусалимските жители до таму, што постапуваа полошо и од оние народи, што Господ ги истреби од пред лицето на Израилевите синови.
10. Господ му говореше на Манасија и на лу ето негови, но тие не послушаа.
11. Затоа Господ ги исprати против нив военоначалниците на асирскиот цар, кои го оковаа Манасија во окови, го врзаа со вериги и го одведоа во Вавилон.
12. И во таа тешка невоља тој почна да Го моли Господа, својот Бог, и длабоко се смири пред Бога на татковците свои.
13. Му се помоли Нему, и Бог се приклони кон него, ја чу молбата негова и го врати во Ерусалим во царството негово. И разбра Манасија дека Господ е Бог.
14. Потоа тој изгради надворешен ѕid на Давидовиот град, западно од Геон, по долот и до влезот на Рибните порти, и околу Офел и го издигна високо. Потоа постави војводи по сите утврдени градови во Јудеја,
15. ги премавна ту ите богови, идолот од Господовиот дом и сите идолски светилишта, што ги беше изградил во гор처 на Господовиот дом и во Ерусалим, ги исфрли надвор од градот.
16. Го обнови жртвеникот Господов и принесе на него жртви, мирни и благодарствени, и им порача на Јудејците да Му служат на Господа, Бога Израилев.
17. Но народот уште принесуваше жртви по идолските светилишта, но и на Господа, Својот Бог.
18. Другите дела Манасиеви, молитвата негова кон својот Бог и зборовите на јасновидците, кои му говореа од името на Господа, Бога Израилев, се нао аат во книгата за царевите Израилеви.
19. И молитвата негова, и тоа, што Господ се приклони кон него, и сите негови гревови и беззаконија, и местата, по кои беше издигнал жртвеници и поставил ликови на Астарта и идоли, пред да се смири, - опишани се во записите пророчки.
20. И почина Манасија при татковците свои, и го погребаа во домот негов. А место него стана цар синот негов Амон.
21. Амон беше на дваесет и две години, кога стана цар, и царуваше во Ерусалим две години.
22. И тој го вршеше она што не беше угодно пред очите Господови така, како што го вршеше тоа татко му Манасија: на сите идоли, што ги беше направил татко му Манасија, Амони им принесуваше жртва и им служеше.

23. И не се смири прд Господа, како што се понизи таткото негов Манасија; напротив, Амон ги умножи гревовите свои.
24. Слугите негови се побунија против него и го убија во домот негов.
25. Но народот во земјата ги изби сите оние, што беа во бунтот против царот Амона, и место него народот на таа земја го избра за цар синот негов Јосија.

Глава 34

1. Јосија имаше осум години, кога стана цар, и царуваше во Ерусалим триесет и една година.
2. Тој го вршеше она што беше угодно пред очите Господови, одеше по патиштата на таткото свој Давида и не скршуваше ни лево ни десно.
3. На осмата година од царувањето свое, бидејки уште беше момче, почна да прибегнува кон Бога на таткото свој Давида, а на дваесеттата година почна да ја чисти Јудеја и Ерусалим од идолските светилишта, од посветените дрвја и од изваjаните и излеаните идоли.
4. Зашто пред лицето негово ги разрушија жртвениците на Вааловци и идолите, што се издигаа над нив; ги исече посветените дрвја, а изваjаните и излеаните идоли ги скрши и разби во прав, растурајки ги по гробовите на оние, што им беа принесувале жртви;
5. коските на жреците ги изгори врз нивните жртвеници, ја исчисти Јудеја и Ерусалим.
6. Во градовите на Манасија, Ефрема и Симеона, дури до коленото Нефталимово, и во нивните опустошени околини,
7. тој ги собори жртвениците и посветените дрвја, ги разби во прав ликовите и ги скрши сите идоли по целата Израилска земја, и се врати во Ерусалим.
8. На осумнаесеттата година од царувањето свое, откако беше исчистена земјата и Божјиот дом, тој го испрати Сафана, синот Азалиев, Масија, градоначалникот, и Јоаха, син Јоахазов, летописец, за да го обноват домот на Господа, нивниот Бог.
9. Тие отидоа кај свештеникот Хелкија и го предадоа принесеното во Божјиот дом, што го беа собрале левитите, стражари при прагот, од рацете на Манасија, Ефрема, од сите други Израилци, од синовите на Јуда и на Венијамина и од жителите ерусалимски.
10. Го дадоа тоа во рацете на распоредниците, одредени при домот Господов, да го раздаваат на работниците, што ке работат во Господовиот дом на поправката и обновувањето на домот.
11. И тие им раздаваа на дрводелците и ѕидарите, за да купуваат делкани камења и дрвја за врски и за покривање, на зградите, кои јудејските цареви ги беа разрушиле.
12. Тие лу е чесно ја вршеа својата работа, а за надзорници над нив беа поставени Јат и Овадија, левити од Мерариевите синови, и Захарија и Месулам од Катовите синови, и сите левити, што умееја да свират не музички направи.
13. Тие беа одредени над носачите и ги надгледуваа сите работници при секоја работа: а другите левити беа и писари, и распоредници, и вратари.
14. Кога го вадеа среброто, што беше принесено во Господовиот дом, свештеникот Хелкија ја најде книгата на законот Господов, даден преку Мојсеевата рака.
15. Проговори Хелкија, па му рече на писарот Сафана: 'Ја најдов книгата на Законот во домот Господов.' Хелкија му ја даде книгата на Сафана.
16. А Сафан ја однесе книгата при царот и притоа му ја донесе на царот оваа вест: 'Твоите слуги вршат се што им е таму наредено.'
17. Го истурија среброто, што се нао аше во домот Господов, и го предадоа во рацете на одредените и во рацете на распоредниците.
18. Писарот Сафан му јави уште на царот и рече: 'Оваа книга ми ја даде свештеникот Хелкија.' И Сафан ја прочита пред царот.
19. Кога ги чу царот зборовите на Законот, ја раскина својата облека.
20. И му заповеда царот на Хелкија и на Ахикама, син Сафанов, на Авдона, син Мехеев, и на писарот Сафана и на царскиот слуга Асаија, велејки:
21. 'Одете и прашајте Го Господа за мене, за другите во Израилот и за Јуда за зборовите на таа најдена книга, зашто голем и гневот Господов, кој пламна врз нас, затоа што татковицте наши не ги запазија Господовите зборови, за да постапуваат во се што е напишано во таа книга.'
22. Тогаш Хелкија и оние, што беа од царот, отидоа кај пророчицата Олдама, жена на Салума, син на Текуја, син на Асра ризничарот, - а таа живееше во вториот дел на Ерусалим, - и говореа со неа за тоа.
23. Таа им рече: 'Вака вели Господ, Бог Израилев: кажете му на оној човек, што ве испратил кај

мене.
24. ‘Вака вели Господ: ете, ке испратам зло врз ова место и врз жителите негови - сите
проклетства, напишани во книгата, што ја читав пред лицето на јудејскиот цар,
25. поради тоа што Ме оставија и кадеа на други богови, за да Ме разгневат со сите дела на
рацете свои. Затоа гневот Мој ке се разгори над ова место и нема да згасне.‘
26. А на царот јудејски, кој ве испрати да Го прашате Бога, кажете му: ‘вака вели Господ, Бог
Израилев, за зборовите, што си ги чул:
27. бидејки срцето ти омекна, и ти се смири пред Господа, откако чу, што вели Он за ова место
и за жителите негови, што се смири пред Мене и ја раскина облеката своја и плачеше пред
Мене, за тоа и Јас те чув, вели Господ.
28. Ете, Јас ке те приберам кај татковците твои, и ке бидеш положен со мир во гробницата
своја, и очите твои нема да го видат сето она зло, што ке го испратам врз ова место и против
жителите негови.' И му го однесоа одговорот на царот.
29. Тогаш царот испрати, та ги собра сите старешини од Јудеја и Ерусалим,
30. па отиде царот во домот Господов, и со него сите Јудејци и жителите ерусалимски, и
свештениците, и левитите, и сиот народ, од голем до мал; и им ги прочита тој гласно сите
зборови од книгата на заветот, најдена во домот Господов.
31. Потоа царот се исправи на местото свое и склучи завет пред лицето на Господа - да Го
следат Господа и да ги запазат од се срце и со сета душа заповедите Негови, откровенијата
негови и законите Негови, та да ги извршат зборовите на заветот, напишани во таа книга.
32. И царот им заповеда на сите, што беа во Ерусалим и во земјата Венијаминова, да го
потврдат тоа; и почнаа жителите ерусалимски да постапуваат според заветот на Бога, Бога на
татковците свои.
33. И ги премавна Јосија сите гадотии од сите земји на Израилевите синови, и им заповеда на
сите во земјата Израилева да Му служат на Господа, својот Бог. И во сите денови на животот
негов тие не отстапуваа од Господа Бога на татковците нивни.

Глава 35

1. Јосија отпразнува Пасха на Господа во Ерусалим, и го заклаа пасхалното јагне на четиринаесеттиот ден од првиот месец.
2. И ги насели свештениците по местата нивни и ги поттикнуваше да му служат на домот Господов;
3. и им рече на левитите, посветени на Господа и наставници на сите Израилци: поставете го светиот ковчег во храмот, што го изгради Соломон, синот Давидов, цар Израилев; нема потреба да го носите на раменици; служете Му сега на Господа, нашиот Бог и на народот Негов Израилот;
4. застанете според родовите на татковците свои и според родовите свои, како што е заповедано од Давида, царот Израилев, и како што е заповедано од синот негов Соломона,
5. стојте во светилиштето, според она како што се распоредени родовите на вешите брака, синовите народни, според она како што се разделени левитските родови и редови;
6. заколете го пасхалното јагне, осветете се и подгответе го за браката свои, постапувајки согласно со Господовото слово преку Мојсеја.
7. И им подари Јосија на синовите народни, на сите, што беа таму, од ситниот добиток јагниња и јариња, се за пасхалната жртва, на број триесет иљади, и три иљади вола. Тоа беше од царскиот имот.
8. И кнезовите негови сесрдно даваа принос за народот, на свештениците и на левитите: Хелкија, Захарија и Јехиил, старешини во Божјиот дом, им дадоа на свештениците за жртва пасхална две иљади и шестотини јагниња и јариња и триста вола;
9. Хоннија, Семаија и Натанаил, негови брака, Асавија, Јеиел и Јозавад, левитски старешини, им подарија на левитите за пасхална жртва пет иљади овци и петстотини волови.
10. Така се подготви службата, и по царева заповед свештениците застанаа на своите места и левитите според смените свои;
11. го заклаа пасхалното јагне, и свештениците росеа со крвта, што ја земаа од рацете на левитите, а левититеи ги дереа кожите;
12. и го распределија определеното за сепаленици, за да го дадат по редовите на татковските родови на синвоите народни, за принос на Господа, како што е напишано во Мојсеевата книга. Истото тоа го направија и со воловите.
13. И го испекоа на оган пасхалното јагне, според законот; а свештените жртви ги сварија во котли, грниња и тави, па го раздадоа брзо по сиот народ;
14. потоа приготвија за себе и за свештениците, зашто свештениците, синови Аронови, беа зафатени со принесувањето сепаленици и дебели меса до нокта; затоа левитите готвеа и за себе и за свештениците, синовите Аронови.
15. А певците, синови Асафови, остануваа по местата свои, според наредбите на Давида и Асафа, Емана и Идитуна, царевиот јасновидец, а вратарите при секоја врата: немаше зошто да ја напуштаа службата своја, бидејќи браката нивни левитите готвеа за нив.
16. Така беше распоредена целата служба во тој ден, за да направат Пасха и да принесат сепаленици на Господовиот жртвеник, по заповед на царот Јосија.
17. Така ја празнуваа Израилевите синови, што беа таму Пасхата во тоа време и празникот Бесквасници во текот на седум дена.
18. Таква Пасха не беше прославувана во Израилот од деновите на пророкот Самуила; од Израилеви цареви ниеден не беше приготвил таква Пасха, каква што направи Јосија, свештениците, левитите и сите Јудејци, и Израилци, кои беа таму, и жителите ерусалимски.
19. Таа Пасха беше отпразнувана во осумнаесеттата година од царувањето на Јосија.
20. По сето тоа, што го направи Јосија во Божјиот дом, тој ги изгори во оган и лакомците, и ма епсниците, и идолските светилишта, и идолите, и дубравите, што ги имаше во Ерусалим и во Јудеја, за да ги утврди зборовите на Законот, напишани во книгата, која свештеникот Хелкија ја најде во домот Господ; и немаше сличен на него пред него, што се обрнал кон Господа од се

срце, со сета душа и со сета сила, согласно со целиот закон Мојсеев, не се издигна и по него подобен на него. Но Господ, пак, не се одврати од големата јарост на гневот Свој, - јарост, со каква што Господ се беше разгневил на Јудеја за сите наскрбувања, со кои Го разгневи Манасија. И беше рекол Господ: 'Ke го отфрлам и Јуда од лицето Свое, како што го отфрлив домот Израилев, ке го отфрлам домот Израилев, ке го отфрлам и градот Ерусалим, што го одбрав, и храмот, за кој реков: таму ке престојува името Мое. И излезе Нехао, египетскиот цар, во војна против асирскиот цар на реката Ефрат кај Хархамис. Јосија му излезе во пресрет.
21. Нехао испрати кај него пратеници да кажат: 'Што има ме у мене и тебе, царе јудејски? Против тебе сега не сум тргал, туку за таму, каде што имам војна. Бог ми заповеда да брзам; немој да Му се противиш на Бога, Кој е со мене, за да не те погуби.'
22. Но Јосија не отстапи пред него, туку се приготви да се бие со него; и не ги послуша зборовите на Нехао, што беа од Бога, туку излезе во бој во долината Магедо.
23. И стрелците го устрелија царот Јосија, и царот им рече на слугите свои: 'Одведете ме, зашто сум тешко ранет.'
24. Слугите негови го симнаа од колата, го качија во друга негова кола и го одведоа во Ерусалим. И тој умре; и беше погребан во гробницата на татковците свои. Целата Јудеја и Ерусалим го оплакаа Јосија.
25. Јосија беше оплакан и од Еремија во плачевна песна; него го споменуваа сите певци и пеачки во плачевните песни свои, познати и до денес, кои ги предадоа во обичај во Израилот; ете, тие се напишани во книгата на плачевните песни.
26. Другите дела на Јосија и добрините негови, согласни со заповеданото во законот Господов,
27. и неговите дела, први и последни, се опишани во книгата за царевите израилски и јудејски.

Глава 36

1. Народот на таа земја го зеде Јоахаза, синот Јосиев, го помаза и го постави за цар на местото од таткото негов во Ерусалим.
2. Јоахаз имаше дваесет и три години кога стана цар, и царуваше во Ерусалим три месеца. Мајка му се викаше Амитал, керка Еремиева, од Ловна. Тоја направи лукаво дело пред Господа по сето она, што го вршеа татковците негови. И го окова фараонот Нехао во Девлат, во Ематската замја, за да не царува во Ерусалим.
3. Египетскиот цар го собори од престолот во Ерусалим, го одведе во Египет и и наложи на замјата глоба од сто таланти сребро и еден талант злато
4. Египетскиот цар го постави братот негов Елијаким за цар на Јудеја и над Ерусалим, и му го смени името во Јоаким, а братот негов Јоахаз Нехао го зеде и го одведе во Египет, каде што и умре. Тој му давеше на Фараонот и сребро и злато. Тогаш земјата почна да дава сребро по заповед на Фараонот, и секој, според власта своја, бараше сребро и злато од народот на земјата како данок на фараонот Нехао.
5. Јоаким имаше дваесет и пет години, кога стана цар, и царуваше во Ерусалим единаесет години. Мајка му се викаше Зехора, керка Нириева, од Рама. Тој го вршеше она што не беше угодно пред очите на Господа, својот Бог, во се она, што го вршеа татковците негови. Во неговите дни Навуходоносор, царот вавилонски, нападна на земјата; тој му служеше три години, и се одметна од него. И ги испрати Господ против нив Халдејците, и разбојници сирски, и разбојници моавитски, и синовите Амонови и самариски, и тие отстапија според оној збор - според зборот на Господа преку устата на слугите Негови - пророците. Но гневот на Господа падна врз Јуда, за да го отфрли од лицето Свое, поради многуте гревови, што ги беше направил Манасија, и поради невината крв, штоа ја пролеа Јоаким, та го исполни Ерусалим со невина крв. Господ не посака да го искорени.
6. Против него излезе Навуходоносор, царот вавилонски, и го окова во окови, за да го одведе во Вавилон.
7. Дел од садовите на Господовиот дом пренесе Навуходоносор во Вавилон и ги постави во своето идолско светилиште во Вавилон.
8. Другите дела на Јоакима и гадотиите, што ги изврши и какви што се најдоа кај него, се опишани во книгата за царевите израилски и јудејски. И почина Јоаким при татковците свои и беше погребан во Ганозан при татковците свои. Место него стана цар синот негов Јехонија.
9. Јехонија имаше осумнаесет години кога стана цар, и царуваше во Ерусалим три месеца и десет дена. Тој го вршеше, она што беше лошо пред очите Господови.
10. Откако измина годината, царот Навуходоносор испрати и заповеда да го доведат во Вавилон заедно со скапоцените садови на Господовиот дом, го постави за цар на Јудеја и Ерусалим братот негов Седекија.
11. Седекија имаше дваесет и една година кога стана цар, и царуваше во Ерусалим единаесет години;
12. и тој го вршеше она, што не беше угодно пред очите на Господа, својот Бог. Тој не се смири ни пред пророкот Јеремија, кој пророкуваше од Господовата уста.
13. и се одметна од царот Навуходоносор, кој беше зел клетва од него во името Божјо, - и се покажа тврдоглав и го ожесточи срцето свое до таму, што не се обрна кон Господа, Бога Израилев.
14. Па и сите началници над свештениците и над народот грешеа многу, подражавајќи ги сите гадотии на незнабошците, и ги осквернуваа домот на Господа, што Он го беше осветил во Ерусалим.
15. Господ, Бог на нивните татковци, им испракаше Свои гласници уште во рано утро, зашто Му беше жал за Својот народ и Своето живеалиште.
16. Но тие се подбиваа со испратените од Бога и не се грижеа за зборовите Негови, ги понижуваа пророците Негови, дедека гневот на Господа не падна врз народот Негов, та

немаше за него спасение.
17. И Он го испрати врз нив халдејскиот цар, и тој ги уби со меч младинците нивни во домот на нивната светиња; не го поштеди ни Седекија - ни девица, ни старец, ни немокен. Се предаде Бог во раката негова.
18. И сите садови на Божјиот дом, големи и мали, и ризниците на домот Господов, и ризниците на царот и кнезовите негови, - се однесе во Вавилон.
19. Па го изгореа Божјиот дом, ги разурнаа ѕидовите на Ерусалим и сите негови дворци со оган ги изгореа; и сите негови скапоцености ги расипаа.
20. А избавените од меч Навуходоносор ги пресели во Вавилон, и тие му беа робови нему, до зацарувањето на персискиот цар.
21. додека, за да се исполни зборот Господов, кажан преку устата на Јеремија, земјата не ги отпразнува своите саботи. Преку сите денови на запустувањето свое таа саботничеше, додека се наполнија седумдесет години.
22. А во првата година на персискиот цар Кир, за да се исплни зборот Господов, кажан преку устата на Јеремија, Гсопод го подбуди духот на Кир, персискиот цар, и тој заповеда да прогласат по целото негово царство, усно и писмено, и да кажат:
23. 'Вака рече Кир, цар перскиски: ‘Господ, Бог небесни, ми ги даде сите земни царства и ми заповеда да Му изградам дом во Ерусалим, во Јудеја. Кој е ме у вас од сиот Негов народ, Господ, неговиот Бог нека биде со него, и тој нека оди таму.‘'

# Езра

Глава 1

1. Во првата година на персискиот цар Кир, за да се исполни словото Господово од устата на Јеремија, го возбуди Господ духот на Кира, персискиот цар, и тој заповеда да прогласат по целото царство, усно и писмено:
2. вака вели Кир, царот персиски: 'Господ, Бог небесни, ми ги даде сите земни царства и ми заповеда да му изградам дом во Ерусалим што е во Јудеја.
3. Кој ме у сите вас е од Неговиот народ, - Бог нека биде со него, и нека оди во Ерусалим, кој е во Јудеја, да гради дом на Господа, Бога Израилев, на оној Бог, Кој е во Ерусалим.
4. А сите, што останале во другите места, каде и да живее тој, нека му помогнат жителите од тие места со сребро, со злато, со друг имот, со добиток и доброволни прилози за Божјиот дом, кој е во Ерусалим.'
5. Тогаш станаа кнезовите на племињата Јудини и Венијаминови, свештениците и левитите, секој, чиј дух го возбуди Господ, да одат да го градат Господовиот дом, кој е во Ерусалим.
6. И сите нивни соседи им помагаа со сребрени садови, со злато, со друг имот и со добиток и со скапи предмети, покрај доброволните приноси за храмот.
7. А царот Кир ги извади садовите на Господовиот дом, што Навуходоносор ги беше одзел од Ерусалим и ги беше поставил во домот на својот бог, -
8. ги изнесе Кир, царот персиски со раката на Митридат, ризничар, а тој ги предаде под број на Сасавасар, кнез Јудин.
9. И еве го бројот нивни: златни чинии - триесет, сребрени чинии - иљада, ножеви - дваесет и девет.
10. златни чаши - триесет, сребрени чаши, двојни - четиристотини и десет, други садови - иљада;
11. вкупно садови, златни и сребрени, пет иљади и четиристотини. Сето тоа го зеде со себеси Сасавасар, кога преселниците тргнаа од Вавилон за Ерусалим.

Глава 2

1. Еве ги синовите на земјата од преселените пленици, кои вавилонскиот цар Навуходоносор ги беше одвел во Вавилон, а кои се вратија во Ерусалим и Јудеја, секој во својот град,
2. и кои дојдоа со Зоровавела, Исуса, Неемија, Сараија, Реелија, Мерохеја, Виласана, Мисфара, Вагуја, Ретума. Еве го бројот на лу ето од народот Израилев:
3. синови Фаресови - две иљади и сто и седумдесет и двајца;
4. синови Сафатиеви - триста и седумдесет и двајца;
5. синови Аресови - седумстотини и седумдесет и пет;
6. синови Фат-Моавови - од синовите Изусови и Јоавови - две иљади и осумстотини и дванаесет;
7. синови Еламови - иљада и двесте и педесет и четири;
8. синови Затуеви - деветстотини и четириесет и пет;
9. синови Закхаеви - седумстотини и шеесет;
10. синови Вануеви шестотини и четириесет и двајца;
11. синови Вааеви - шестотини и дваесет и тројца;
12. синови Авгадови - иљада и двесте и дваесет и двајца;
13. синови Адоникамови - шестотини и шеесет и шест;
14. синови Вагуеви - две иљади педесет и шест;
15. синови Адинови - четиристотини и педесет и четири;
16. синови Атирови - од домот Езекиев, - деведесет и осум;
17. синови Васуеви - триста и дваесет и тројца;
18. синови Јоравови - сто и дванаесет;
19. синови Асумнови - двесте и дваесет и тројца;
20. синови Гаверови - деведесет и пет;
21. родени во Витлеем - сто и дваесет и тројца;
22. синови Нетофаеви - педесет и шест;
23. жители од Анатот - сто дваесет и осум;
24. родени во Азмот - четириесет и двајца;
25. родени во Кирјат-Јарим, Хафир и Вирот - седумстотини и четириесет и тројца;
26. родени во Рама и Гаваја - шестотини и дваесет и еден;
27. жители од Махмас - сто и дваесет и двајца;
28. жители од Ветил и Гај - двесте и дваесет и тројца;
29. родени во Нави - педесет и двајца;
30. родени во Магевис - сто и педесет и шест;
31. синови Иламарови - иљада и двесте и педесет и четири;
32. синови Ирамови - триста и дваесет;
33. родени во Лода, Адид и Оно - седумстотини и дваесет и пет;
34. родени во Јерихон - триста четириесет и пет;
35. родени во Сенаеви - три иљади и шестотини и триесет.
36. Свештеници: синови Једуеви од домот Исусов - деветстотини и седумдесет и тројца;
37. синови Емирови - иљада и педесет и двајца;
38. синови Фасурови - иљада и двесте и четириесет и седум;
39. синови Иремови - иљада и седумнаесет;
40. Левити: синови на Исуса и Кадмиила, од синовите Одуеви - седумдесет и четири;
41. певци: од синовите Асафови - сто и дваесет и осум;
42. синови на вратари: синови Селумови, синови Атирови, синови Темиунови, синови Акувови, синови Атитови, синови Соваеви - вкупно сто и триесет и девет.
43. Натиневи: синови Суваеви, синови Суфатови, синови Таваотови,
44. синови Кирасови, синови Сирсавови, синови Фадонови,
45. синови Јаванови, синови Агавови, синови Акувови,
46. синови Агавови, синови Селмиеви, синови Ананови,

47. синови Геделиеви, синови Гарови, синови Раеви,
48. синови Расонови, синови Некодови, синови Раземови,
49. синови на Уза, синови Фасиеви, синови Расинови,
50. синови Асенаеви, синови Мунинови, синови Нефусимови,
51. синови Вакукови, синови Ануфаеви, синови Анурови,
52. синови Васалотови, синови Миданови, синови Арсанови,
53. синови Варкосови, синови Сисарови, синови Темамови,
54. синови Надиеви, синови Атифови,
55. синови на Соломоновите слуги: синови Сотаеви, синови Сефирови, синови Фадурови,
56. синвои Јалаеви, синови Дерконови, синови Гиделови,
57. синови Сафатиеви, синови Атилеви, синови Фахератови, синови Асевоимови, синови Имееви,
58. вкупно Нетинејци и синови на Соломоновите слуги - триста и деведесет и двајца.
59. А еве ги излезените од Телмелех, Тел-Арис, Херув, Идан, Емир, кои не можеа да го покажат ни поколението свое, ни родот свој - дали се од Израилот;
60. синови Делаиеви, синови Товиеви, синови Некодаеви - шестотини педесет и двајца.
61. А од синовите свештенички: синови Оваиеви, синовите Акусови, синовите Верзелаеви, кој се ожени со една од керките на Галадецот Верзелаја и почна да се именува со нивно име.
62. Тие го бараа својот родословен запис, и не го најдоа, затоа беа исклучени од свештенството.
63. И Атерсат им рече да не јадат од големата светиња, додека не се издигне свештеник со урим и тумим.
64. Целото општество заедно се состоеше од четириесет и две иљади и триста и шеесет души,
65. освен слугите нивни, кои беа седум иљади и триста и триесет и седум; и при нив - двестс певци и певици;
66. коњи имаа седумстотини и триесет и шест, маски - двесте четириесет и пет,
67. камили имаа четиристотини и триесет и пет, осли - шест иљади и седумстотини и дваесет.
68. Некои од старешините на домовите, откако ке дојдеа при домот Господов, кој е во Ерусалим, со драго срце даруваа за домот Божји, за да се обнови врз основите негови.
69. Колку што им достигаше раката, тие дадоа во сокровишницата за работа шеесет и една иљада драхми злато, и пет иљади мнаси сребро и сто свештенички одежди.
70. Така се населија пак и свештениците и левитите, и народот и певците, и вратарите и Нетинејците, и целиот Израил во градовите свои.

Глава 3

1. Кога настапи седмиот месец, и синовите Израилеви веке беа по градовите, народот се собра како еден човек во Ерусалим.
2. Тогаш стана Исус, синот Јосадеков, и браката негови, свештеници, и Зоровавел, синот Салатилов, и браката негови, и му изградија на Бога Израилев жртвеник, за да принесуваа на него сепаленици, како што е пишано во законот на Мојсеја, човекот Божји.
3. Го поставија жртвеникот врз основите негови, бидејки се плашеа од другоземните народи; и почнаа да принесуваат на него сепаленици на Господа, сепаленици утрени и вечерни.
4. И го празнуваа празникот Сеници, како што беше заповедано, со секојдневните сепаленици во определен број според уставот за секој ден.
5. Потоа редовно принесуваа сепаленици и во новомесечијата, и во сите празници, посветени на Господа, како и доброволни приноси на Господа од секого, кој што сакаше.
6. А од првиот ден на седмиот месец почнаа да му принесуват сепаленици на Господа. Но на Господовиот храм уште не му беа поставени темелите.
7. И почнаа да даваат пари на каменоделци и дрводелци, и јадење и пиење и масло на Сидонци и Тирци, за да донесат кедрово дрво од Ливан по море во Јафа, со дозвола од Кира, царот персиски.
8. На втората година по доа ањето во домот Господов во Ерусалим, на второт месец, Зоровавел, синот Јоседеков, и другите нивни брака, свештениците и левитите, и сите, што беа дошле од пленство во Ерусалим, ставија почеток и поставија левити од дваесет години и нагоре, што ке ги надгледуваа роботите при домот Господов.
9. И се зафатија Исус, синовите негови и браката негови, Кадмил и синовите негови, - синови Јудини - како еден човек за да ги надгледуваат рабониците при домот Господов, а исто така и синовите Инададови, синовите нивни и браката нивни - левитите.
10. Кога ѕидарите ги положија основите на храмот Господов, поставија свештеници, со одеждите нивни и со труби, и левити - синови Асафови - со кимвали, за да го слават Господа по уставот на Давида, царот Израилев.
11. И почнаа да пејат по ред 'хвалете' и 'славете Го Господа', 'зашто е благ, зашто милоста Негова кон Израила е до века.' И сиот народ воскликнуваше громогласно, славејки Го Господа поради тоа што беа поставени темелите на Господовиот дом.
12. Ме утоа, мнозина свештеници и левити и старешините на родовите, старци, кои го беа виделе поранешниот храм, кога се градеше новиот храм пред очите нивни, плачеа гласно, но мнозина и подвикуваа силно од радост
13. И народот не можеше да ги разликува радосните извици од плачот на народот, зашто народот викаше силно и гласот негов се слушаше на далеку.

Глава 4

1. Непријателите Јудини и Венијаминови слушнаа дека вратените од пленството градат храм на Господа, Бога Израилев;
2. и дојдоа при Зоровавела и при кнезовите на родовите и им рекоа: 'Ќе градиме и ние со вас, зашто и ние како вас прибегнуваме кон вашиот Бог, и Нему Му принесуваме жртви од дните на Асардана, асирскиот цар, кој не пресели овде.'
3. Им одговорија Зороававел, Исус и другите кнезови на родовите израилски: 'Не бива да градите заедно со нас дом на нашиот Бог; ние сами ке градиме дом на Господа, Бога Израилев, како што ни заповеда Кир, царот персиски.'
4. Тогаш народот на онаа земја, зеде да им ги ослабува рацете на јудејскиот народ и да му пречи во градењето;
5. и поткупуваа советници против нив, за да ја расипуваат намерата нивна за сите дни на Кира, царот персиски, до царувањето на Дарија, цар персиски.
6. А во царувањето на Артаксеркса - во почетокот на царувањето негово - напишаа обвиненеи против жителите на Јудеја и на Ерусалим..
7. Исто така во дните на Артаксеркса пишуваа и Бислам и Митридат, и Гавел и други нивни другари до Артакеркса, царот персиски. Писмото беше напишано со сириско писмо и на сириски јазик.
8. Реум, старешина и Сампса, писар, напишаа вакво писмо против Ерусалим до царот Артаксеркс:
9. Тогаш и тогаш, Реум и другите нивни другари, - Динејците, Афарсалутејците, Тарфалејците, Арфацејците, Архиејците, Вавилонците, Сусанахејците, Савејците, Еламитите
10. и други народи, што ги пресели големиот и славниот Асенафар и ги насели во градовите самариски и во другите градови самариски и во другите градови од онаа страна на реката, и други народи.
11. Еве препис од писмото, што му го испратија нему - до царот Артаксеркс, тфвоите слуги, лу ето, што живеат од онаа страна на реката итн.
12. Да знаеш, царе, дека Јудејците, што излегоа од тебе и дојдоа при нас во Ерусалим, тој бунтовен и лош град, прават ѕидови, чии темели веке ги поправија.
13. Но да знаеш, царе, дека ако тој град биде изграден и ѕидиштата негови обновени, тие нема да плакаат ни данок, ни плодови, ни царина, и царската ризница ке има загуба.
14. А бидејки јадеме сол од царскиот дворец, и не можеме да ја гледаме таа загуба за царот, затоа испракаме известување до царот.
15. Нека се побара во книгата на спомените на татковците твои, и ке се најде во таа книга на спомени и ке се дознае дека овој град е град одметник и пакосен за царевите и областите и дека во него настанувале бунтови во старо време, поради што овој град бил и опстошен.
16. Затоа му соопштуваме на царот, дека, ако овој град биде изграден и ѕидиштата негови поправени, потоа нема да имаш владеење од онаа страна на реката.'
17. Царот му испрати одговор на Реума, старешината, Валтам и на Сампфа, писарот, и на другите нивни другари, што живеат во Самарија и во другите градови од онаа страна на реката: Мир ... итн.
18. 'Писмото, што ми го испративте, ми беше јасно прочитано;
19. и јас заповедав, - и бараа и најдоа, дека овој град уште од старо време се бунтувал против царевите, и во него настанувале одметнувања и буни,
20. и дека во Ерусалим имало силни цареви, кои владееле во целата задречна област и кои земале данок, летнина и царина.
21. И така, дајте заповед, тие лу е да престанат да работат, и тој град да не се гради, додека не заповедам јас.
22. Бидете внимателни, за да не испуштите нешто од пред очите свои. Зошто да се дозволува да расте злото на штета на царевите?'

23. Штом писмото на царот Артаксеркс беше прочитано пред Реума и Сампфа, писарот, и другарите нивни, тие без одлагање отидоа во Ерусалим при Јудејците и со силно вооружена рака им ги забранија работите.
24. Така беа прекратени работите околу градењето на Божјиот Дом во ерусалим. Беа прекратени се‘ до втората година на црувањето на Дариј, персискиот цар.

Глава 5

1. Но пророкот Агеј и пророкот Захарија, син Адов, им пророкуваа на Јудејците во Јудеја и во Ерусалим во името на Бога Израилев.
2. Тогаш стана Зоровавел, синот Салатилов, и Исус, синот Јосадеков, и почнаа да градат Божји дом во Ерусалим, и со нив Божјите пророци, кои што ги подржуваа.
3. Во тоа време дојдоа при нив Татнај, кнезот од оваа страна на реката, и Сатар-Вузанај, со другарите свои, и им рекоа вака: 'Кој ви дозволи да го градите овој дом и да ги поправате овие ѕидишта?'
4. Тогаш ние им ги кажавме имињата на лу ето, што ја градеа таа зграда.
5. Но окото на нивниот Бог беше врз старешините Јудејски, и тие не им се заканија, додека работата не отиде до Дарија, и додека не дојде решение за таа работа.
6. Еве ја содржината на писмото, што го испрати Татнај, задречен кнез, и Сатар-Вузанај со другарите свои - Афарсахејци, од онаа страна на реката, до царот Дарија.
7. Во соопштението, што го испратија до него, еве што беше напишано: 'до царот Дариј - секаков мир!
8. Да знаеш, цару, дека ние бевме во Ерусалимската област при домот на великот Бог; го градат со големи камења, а во ѕидиштата ставаат дрвја; таа работа врви брзо и успева во рацете нивни.
9. Тогаш ги прашавме нивните старешини и им рековме вака: ‘Кој ви дозволи да го градите овој дом и да ги поправете овие ѕидови?‘
10. Освен тоа, ги прашавме и за имињата нивни, за да ти јавиме и да ти го напишеме името на главниот ме у нив.
11. Тие ни одговорија со ове зборови: ‘Ние сме слуги на Бога на небото и земјата и градиме дом, што беше изграден многу години пред тоа, - а великиот цар Израилев го градеше и го доврши.
12. А кога татковците наши го разгневија Бога небесен, Он ги предаде во раката на Навуходоносора, царот вавилонски, Халдеец; тој го разруши овој дом и го пресели народот во Вавилон.
13. Но во првата година на Кира, царот вавилонски, цар Кир дозволи да се изгради овој дом Божји;
14. уште и садовите на Божјиот дом, златни и сребрени, што Навуходоносор ги беше земал од ерусалимскиот храм, па ги беше однел во вавилонскиот храм, - цар Кир ги изнесе од вавилонскиот храм и ги даде со број на Саванасар, управникот на ризницата,
15. и му рече: - земи ги тие садови, и однеси ги во ерусалимскиот храм, и Божјиот дом нека се гради на своето место.
16. Тогаш оној Саванасар дојде и ги постави темелите на Божјиот дом во Ерусалим; оттогаш па досега се гради и уште не е завршен.
17. И така, ако му е угодно на царот, нека побара во домот на царските сокровишта, таму во Вавилон, дали навистина цар Кир дозволил да се гради овој дом Божји во Ерусалим, и нека ја испратат царската воља за тоа.'

Глава 6

1. Тогаш царот Дариј издаде заповед, и бараа во Вавилон и во книжницата, каде што ги ставаа вредностите.
2. И најдоа во Екбатан, во дворецот, кој е во областа Мидија, еден свиок, и во него беше напишано вака: ‘Да се помни:
3. во привите годин на царот Кир, царот Кир издаде заповед за домот Господов во Ерусалим: да се гради дом на она место, каде што принесуваат жртви, и нека му се постават здрави темели; висината негова - шеесет лакти, ширината негова - шеесет лакти;
4. три реда големи камења, еден ред дрвја; а трошоците нека се плакаат од царскиот дом.
5. Уште и садовите на Божјиот дом, златни и сребрени, што Навуходоносор ги изнесол од ерусалимскиот храм и ги однел во Вавилон, нека се вратат и однесат во ерусалимскиот храм и да бидат наместени во Божјиот дом, секој на свое место.
6. Затоа, Татанај, задречен и Сатар-Вунај, со другарите свои Афарсакејци од зад реката, - отстранете се оттаму!
7. Не запирајте ја работата на Божјиот дом; јудејскиот кнез и јудејските старешини нека го градат оној Божји дом на местото негово.
8. И од мене се дава заповед, со што треба да им помагате на тие старешини јудејски во градбата на овој дом Божји, односно: од царскиот имот - од данокот на задречната земја давајки им на тие лу е, за да не се запира работата;
9. и колку што треба - телиња ли, овни или јагниња за сепаленици на Бога небесен, исто така и пченица, сол, вино и масло, според она како што ке кажат свештениците ерусалимски, нека им се дава секој ден без прекин,
10. та да принесуваат благопријатни жртви на Бога небесен, и да се молат за животот на царот и синовите негови.
11. Заповедам уште - кој ке ја измени оваа наредба, да извадат греда од куката негова, да го издигнат и приковат на неа, а куката негова поради тоа да се претвори во урнатини.
12. И Бог, Чие име престојува таму, да го собори секој цар и народ, што ке протегне рака да го измени ова за штета на тој дом Божји во Ерусалим. Јас, Дариј, ја дадов оваа заповед; да биде точно исполнувана!'
13. Тогаш Татанај, задречниот кнез, Сатар-Вузанај и другарите нивни, постапуваа точно онака, како што заповеда царот Дариј.
14. И јудејските старешини градеа и успеваа според пророштвото на пророкот Агеј и Захарија, синот на Ада. Изградија и завршија според вољата на Бога Израилев и според војлата на Кира, Дарија и Артаксеркса, цареви персиски.
15. Завршен беше овој дом на третиот ден од месец Адар, во шестата година од царувањето на царот Дарија.
16. И синовите Израилеви, свештениците, левитите и други, што се беа вратиле од пленство, со радост го извршија осветувањето на тој Божји дом.
17. И принесоа при осветувањето на тој Божји дом: сто вола, двесте и дванаесет кози како жртва за грев и за целиот Израил, според бројот на колената Израилеви.
18. И поставија свештеници според чиновите нивни и левити според родовите нивни за Божја служба во Ерусалим, како што беше заповедано во книгата Мојсеева.
19. Потоа вратените од пленство прославија Пасха во четиринаесеттиот ден на првиот месец,
20. зашто свештениците и левитите се беа очистиле, - тие сите до еден беа чисти; и заклаа пасхални јагниња за сите вратени од пленство, за своите брака свештеници и за себеси.
21. И јадеа синовите Израилеви, што се беа вратиле од преселувањето, и сите, што се беа откажале од нечистотијата на земните народи, за да прибегнат кон Господа, Бога Израилев.
22. А го празнуваа со радост и празникот бесквасници седум дена, зашто Господ ги зарадува и го сврти кон нив срцето на асирскиот цар, за да ги поткрепи рацете нивни при градењето на домот на Господа, Бог Израилев.

Глава 7

1. По тие настани, во царувањето на Артаксеркса, царот персиски, Ездра, - синот Сареов, син на Азарија, син на Хеликија,
2. син на Селума, син на Садока, син на Ахитува,
3. син на Самарија, син на Азарија, син на Мареота,
4. син Зариев, син Езеев , син Вокиев,
5. син Ависуев, син Финесов, син Елеазаров, син на првосвештеникот Арона, -
6. тој Ездра излезе од Вавилон. Тој беше книжник и го знаеше законот Мојсеев, даден од Господа, Бога Израилев. Царот му даде се по желбата негова, зашто раката на Господа, неговиот Бог, беше над него.
7. Со него отидоа во Ерусалим и некои синови Израилеви, и свештеници, и левити, и певци, и вратари, и Нетинејци во седмата година на царот Артаксеркс.
8. Тој дојде во Ерусалим во петтиот месец, во седмата година на царот.
9. Бидејки во првиот ден од првиот месец беше почнало излегувањето од Вавилон, а во првиот ден од петтиот месец тој дојде во Ерусалим: благодатната рака на неговиот Бог беше над него.
10. Зашто Ездра го беше управил срцето свое да го изучува законот Господов и да го извршува и да го учи Израилот во законите и уредбите.
11. Еве ја содржината на писмото, што цар Артаксеркс му го даде на Ездра, свештеник и книжник, кој го учеше Израилот на заповедите Господови и на законите Негови:
12. Артаксеркс, цар над царевите, до Ездра свештеникот, совршениот учител во законот на небесниот Бог денес.
13. Дадов заповед, во царството мое секој од народот Израилев и од неговите свештеници и левити, што сака да оди во Ерусалим, нека појде со тебе.
14. Бидејки си испратен од царот и од седумте негови советници, да ги надгледаш Јудеја и Ерусалим во законот на твојот Бог, кој што е во раката твоја,
15. и да го однесеш среброто и златото, кое царот и советниците негови го жртвуваа на Бога Израилев, Чие живеалиште е во Ерусалим,
16. и сето сребро и злато, што ке го собереш по целата област Вавилонска, заедно со доброволните приноси од народот и свештениците, што ке жртвуваат за домот на својот Бог, Кој е во Ерусалим, -
17. тоа веднаш купи за тие пари волови, овни, јагниња и лебни приноси кон нив, и преливи за нив, и принеси ги на жртвеникот во домот на вашиот Бог во Ерусалим.
18. А она што ти и браката твои ке најдете дека е добро да направите од останатото сребро и злато, според вољата на Вашиот Бог направете.
19. Садовите, пак, што ти беа дадени за служби во домот на твојот Бог, постави ги пред Бога Ерусалимски.
20. И се друго, што е потребно за домот на твојот Бог, ова за што го светаш дека е неопходно, давај од домот на царските сокровишта.
21. А јас, царот Артаксеркс, давам заповед до сите ризничари, што се од онаа страна на реката - се, што ке посака од вас Ездра, свештеник и учител по законот на Бога, небесен, без двоумење давајте:
22. сребро до сто таланти, пченица до сто кора, вино до сто бата и пак до сто бата масло, а сол - без да се определува количеството.
23. Се, што е заповедано од Бога небесен, треба да се врши грижливо за Неговиот дом, и гледајте, некој да не протегне рака врз домот на Бога небесен, за да не падне гневот Негов врз царството, царот и синовите негови.
24. Го кажавме да знаете, дека на никого од свештениците и левитите, певците, вратарите, Нетинејците и оние што служат при тој дом Божји нема да им се наложува данок, ни десеток, ни царина.

25. А ти, Ездра, според мудроста на твојот Бог, која е во раката твоја, постави управители и судии, за да го судат сиот народ од онаа страна на реката, - сите што ги знаат законите на твојот Бог, а кои не знаат, учете ги.
26. И кој не го исполнува законот на твојот Бог и законот царски, тој без одлагање да се осуди, било на смрт, било на заточение, било на парична глоба, или на затвор во темница.
27. Нека е благословен Господ, Бог на татковците наши, Кој вложи во срцето на царот да го украси домот Господов, што е во Ерусалим,
28. и Кој ја управи кон мене милоста на царот, на советниците негови и на сите силни кнезови царски! И јас се охрабрив, бидејќи раката на Господа, мојот Бог, беше над мене, и ги собрав кнезовите Израилеви, за да одат со мене.

Глава 8

1. Еве ги старешините на домовите и родословите на оние, кои со мене излегоа од Вавилон, во царувањето на царот Артаксеркс:
2. од Финесовите синови - Гирсон; од Итамаровите синови - Даниил; од Давидовите синови - Атус;
3. од Саханиевите синови, од Форосовите синови - Захарија и со него по список сто и педесет мажи;
4. од Фат-Моавовите синови - Елијан, син Зераев, и со него двесте души од машки пол;
5. од синовите на Затојас - Сеxенија, син Азиилев, и со него триста мажи;
6. од Адиновите синови - Овин, син Јонатанов, и со него педесет души од машки пол;
7. од Еламовите синови - Исаија, син Аталиин, и со него седумдесет мажи;
8. од Сафатиевите синови - Завдија, син Михаилов, и со него осумдесет души од машки пол;
9. од Јоавовите синови - Авдија, син Јеилев, и со него двесте и осумдесет мажи;
10. од синовите на Ваанија - Селимут, син Јосефиев, и со него сто и шеесет души од машки пол;
11. од Вавиевите синови - Захарија, син Вавиев, и со него дваесет и осум мажи;
12. од Азгадовите синови - Јоанан, син Икатанов, и со него сто и десет од машки пол;
13. од синовите Адоникамови излегоа последни од нив; еве ги имињата нивни: Едифалат, Јеил, и Самаја, и со нив шеесет мажи;
14. од Вагуевите синови - Утај и Завуд, и со нив седумдесет души од машки пол.
15. Ги собрав кај реката, која што се влива во Ава, и таму престојувавме три дена, и, кога го прегледав народот и свештениците, на најдов таму од Левиевите синови.
16. Тогаш испратив да го повикаат Елеазера, Ариила, Семеја, Елнатана, Јарива, Натана, Захарија и Месолама - старешини, и Јорама и Елнатана - учените;
17. и им дадов порака за Идо, началникот во месноста Касфија, и ги поучив како да му зборуваат на Идоа и на браката негови, Нетинејците во месноста Касфија, за да ни доведат певци за домот на нашиот Бог.
18. И тие ни доведоа - бидејќи благодатната рака на нашиот Бог беше над нас - еден умен човек од синовите на Махлија, син Левиев, син Израилев, односно Серевија со синовите негови и браката негови - осумнаесет души;
19. и Асевија и со него Исаија од синовие Мерариеви, неговите брака и нивните синови - дваесет;
20. и од Нетинејците, што ги беше дал Давид и кнезовите негови за послуга на левитите, двесте и дваесет Нетинејци; сите тие беа запишани поименично.
21. Тогаш објавив таму пост при реката Ава, за да се смириме пред лицето на нашиот Бог и да измолиме од него успешен пат за себеси, за децата свои и за целиот имот,
22. бидејќи ми беше срам да барам од царот војска и коњаници да не чуваат од непријател по патот, зашто ние, кога зборувавме со царот, рековме: ‘раката на нашиот Бог е благодатна за сите, а над сите, што Го оставаат стои силата Негова и гневот Негов!
23. И така, ние постевме и го молевме нашиот Бог за тоа, и Он не услиши.
24. Тогаш одвоив дванаесет души од началниците над свештениците: Сараија и Асавија, и со нив десетина од браката нивни;
25. и им го предадов со мера среброто и златото и садовите, - се што беше жртвувано за домот на нашиот Бог, она што го жртвуваа царот, советниците негови, кнезовите негови и Израилци, што беа таму.
26. И им предадов во рацете нивни со мерка: сребро - шестотини и педесет таланти, и сребрени садови - за сто таланти, злато - сто таланти,
27. златни чаши - дваесет, за иљада драхми, и два сада од најдобар, блескав бакар, ценет како злато.
28. И им реков: 'Вие сте светиња на Господа, и садовите се светиња, и среброто и златото - доброволен прилог на Господа, Бог на татковците ваши.

29. Бидете будни и запазете го тоа, додека го предадете со мерка на началниците над свештениците, левитите и старешините Израилеви во Ерусалим, во ризницата при домот Господов.'
30. Свештениците и левитите го примија измереното сребро, злато и садови, за да ги однесат во Ерусалим, во домот на нашиот Бог.
31. Тогаш тргнавме од реката Ава на дванаесеттиот ден од првиот месец, за да одиме во Ерусалим; и раката на нашиот Бог беше над нас и не чуваше од непријателска рака и од оние, што не зачекуваа по патот.
32. И стигнавме во Ерусалим, каде што престојувавме три дни.
33. На четвртиот ден го предадовме со мера среброто, златото и садовите во домот на нашиот Бог во рацете на свештеникот Маримота, син Уриев, и со него на Елеазара, син Финесов, и со нив на Јозавада, син Исусов, и на Ноадија, син Ванаев - левити,
34. се под број и со мера. И сето измерено беше истовремено запишано.
35. Дојдените преселеници од пленство Му принесоа сепаленици на Бога Израилев дванаесет телиња за сиот Израил, деведесет и шест овни, седумдесет и седум јагниња и дванаесет козли како жртва за грев: сето тоа за сепаленици на Господа.
36. И ги предадоа царските заповеди на царските сатрапи и на задречните кнезови, и тие го почитуваа народот и домот Божји.

Глава 9

1. Откако се сврши тоа, началниците се приближија до мене и рекоа: 'Народот Израилев и свештениците и левитите не се одвоија од другоплемените народи поради нивните гнасотии, од Хананејците, Хетејците, Ферезејците, Јевусејците, Амонитите, Моавците, Египтјаните и Аморејците,
2. зашто зедоа нивни керки за себе и за синовите свои, светото семе се смеша со другоплемени народи, а при тоа раката на кнезовите и војводите беше прва во тоа беззаконие.'
3. Откако ги чув тие зборови, ја раскинав долната и горната своја облека, ги кубев косите на главата своја и на брадата своја и седев нажален.
4. Тогаш се собраа кај мене сите, што се уплашија од зборовите на Бога Израилев поради престапите на преселниците, и јас седев тажен до вечерната жртва.
5. А во време на вечерната жртва станав од местото на моето тагување и со раскинатa долна и горна облека паднав на колена и ги кренав рацете кон Господа, мојот Бог,
6. и реков: 'Боже мој, срам ми е и страв ми е да го покажам моето лице кон Тебе, Боже мој, зашто беззаконијата ни се натрупаа до над главата, и вината ни нарасна до небесата.
7. Од дните на татковците наши до денес ние сме во голема вина, и поради нашите беззаконија бевме предадени ние, царевите наши, свештениците наши, - во рацете на другоземни цареви, на меч, во пленство, на грабеж и навреди, како што е и сега.
8. И ете, по малку време, ни се дарува милост од Господа, нашиот Бог, кој остави кај нас спасение и ни даде да се утврдиме во местото на светињата Негова; ни ги просвети очите нашиот Бог и ни даде да здивнеме малку од ропството свое.
9. Ние сме робови, но и во ропството нашиот Бог не не остави. Он ја приведе кон нас милсота на персиските цареви, за да се соживееме, да го подигнеме домот на нашиот Бог, да го обновиме од урнатините негови, а ни дадоа ограда во Јудеја и во Ерусалим.
10. А сега, што да кажеме, Боже наш, потоа? Зашто ние отстапивме од Твоите заповеди,
11. што ни ги даде преку Твоите слуги, пророците, велејќи: ‘земјата, во која одите, за да ја завладеете, е земја нечиста; таа е извалкана од нечистотиите на другоплемени народи, со нивни гнасотии, со кои ја наполнија открај докрај со своите нечистотии.
12. Затоа не ги давајте керките свои за синовите нивни, и керките нивни не ги земајте за синовите свои, и не барајте го мирот нивни, ниту благата нивни до века, за да се утврдите и храните со благата на таа земја и да ја предадете во наследство на синовите свои до века.
13. И по се што не снајде поради лошите дела наши и поради големата вина наша и, - зашто Ти, Боже наш, не поштеди не според беззаконието наше, туку ни даде такво избавување, -
14. зарем пак ке ги нарушуваме Твоите заповеди и ке влегуваме во родство со тие одвратни народи? Нема ли да се разгневиш на нас дури до погубување, така што да нема живи и да нема спасени?
15. Господи, Боже Израилев! Ти си праведен, зашто ние бевме нажалени до денес; и еве, ние сме во беззаконијата свои пред Твоето лице, макар што по тоа не би требало да стоиме пред Твоето лице.'

Глава 10

1. Додека Ездра така се молеше и исповедаше, плачејки и лежејки пред Божјиот дом, се собра кај него многуброен народ од Израилот, мажи, жени и деца, зашто и народот плачеше многу.
2. Тогаш се јави Сехенија, синот Јеилев од синовите Еламови, и му рече на Ездра: 'Згрешивме пред нашиот Бог, зошто зедовме жени од народите на таа земја, но уште има надеж за Израилот за таа работа;
3. да се заветуваме сега пред нашиот Бог, дека ке ги отпуштиме сите другоплемени жени и родените од нив деца, - и нека биде по законот на нашиот Бог, и според законот нека биде.
4. Стани, зашто ова е твоја работа, и ние сме со тебе: биди храбар и работи!'
5. Тогаш стана Ездра и им порача на старешините над свештениците, левитите и над сиот Израил да положат клетва, дека ке направат така. И тие се заколнаа.
6. Стана Ездра и тргна од Божјиот дом кон зградата на ризницата при Јоханана, Јелисувавиот син, и стигна таму. Леб не јадеше и вода не пиеше, зашто плачеше поради престапите на преселниците.
7. И им соопштија по Јудеја и во Ерусалим на сите, што беа во пленство, да се соберат во Ерусалим,
8. а на оној што не ке дојде за три дни, ке му се одземе имотот, по решение на кнезовите и старешините, целиот имот негов, а самиот тој ке биде отстранет од општеството на преселниците.
9. И во тие три дни се собраа во Ерусалим сите жители на Јудеја и на земјата Венијаминова. Тоа беше во деветтиот месец на дваесеттиот ден од месецот. Седеше сиот народ на плоштадот пред Божјиот дом и трепереше, како поради таа работа, така и од дождот.
10. Тогаш свештеникот Ездра стана и им рече: 'Вие направивте престап, земајки жени од други племиња и со тоа ја зголемивте вината на Израилот;
11. затоа, покајте се пред Господа Бога на вашите татковци, и исполнете ја вољата Негова, одвојте се од народите на таа земја и од жените од други племиња.'
12. Целото собрание одговори и рече со силен глас: 'Како што рече, така и ке направиме.
13. Но народот е многуброен, и времето е сега дождливо, та не може да се стои на улица. Па и таа работа не е ни за ден, ниту за два, зашто ние згрешивме многу во таа работа.
14. Нека се изберат заменици на кнезовите за целото општество, и сите во нашите градови, што зеле жени од други племиња, да доа аат тука во определено време заедно со старешините и судиите на секој град, додека не се одврати од нас пламнатиот гнев на нашиот Бог поради таа работа.'
15. Тогаш се зафатија со таа работа Јонатан, син Асаилов, и Јасија, син Текуев, а Месолам и Саватај, левит, беа нивни помошници.
16. Така направија дојдените од пленство. За тоа беа одредени: свештеникот Ездра, началниците од секое нивно поколение, и старешините на нивните домови сите по име. Тие се собраа на заседание во првиот ден на десеттиот месец, за да ја испитаат таа работа;
17. и го извршија испитувањето за сите, што беа зеле жени од други племиња, кон првиот ден од првиот месец.
18. И се најдоа од свештеничките синови, што беа зеле жени од други племиња, - од синовите на Исуса, синот Јоседеков, и браката негови: Маасија, Елиезер, Јарим и Гадалија;
19. тие ја дадоа раката своја за уверување, дека ке ги напуштат жените свои, и дека, како виновни, ке принесат жртва по еден овен за вината своја;
20. од Имеровите синови: Ананиј и Завдија;
21. Од Харимовите синови: Маасија, Елија, Самија, Јеил и Озија;
22. од Пасхоровите синови: Елиоинај, Масија, Измаил, Натанаил, Јозавад и Еласа;
23. од левитите: Јозавад, Симеј и Келаја, тој е и Келит, Патахија, Јуда и Елиезер;
24. од певците: Елисав; од вратарите, Салум, Телем и Уриј;
25. а од Израилците, - Фаресовите синови: Рамија, Азија, Мелхија, Мелмин, Елеазар, Асавија и

Венеја;
26. од синовите Иламови: Матанија, Захарија, Јаил, Авдиј, Јеримот и Елија;
27. од синовите Затуеви: Елионај, Елисув, Матанај, Армот, Завад и Озиз;
28. од синовите Вавениеви: Јоанан, Ананија, Завуј и Атлај;
29. од синовите Вануеви: Месолам, Малух, Адаја, Јасув, Саал и Римот;
30. од синовите на Фат-Моава: Еднеја, Хелил, Ванаја, Маасија, Матанија, Веселеил, Вануј и Манасија;
31. од синовите Иримови: Елиезер, Јесија, Мелхија, Самаја, Симеон.
32. Венијамин, Валух, Самарија;
33. од синовите Асимови: Метанија, Матата, Завад, Елифелет, Јеремај, Манасија и Семеј;
34. од синовите Ваниеви: Мадија, Амрам и Уил.
35. Ванаија, Вадаја, Хелија,
36. Ванија, Маримот, Елиасив,
37. матаснија, Матанај, Јаасај,
38. синови Ванијеви, и синови Семееви,
39. Салемија, Натан, Адаија,
40. Махнада, Авусесеј, Аруесрил,
41. Азариел, Селемиј, Семарија,
42. Салим, Амарија и Јосиф;
43. Од синовите Невови: Јеил, Мататија, Завад, Зевенај, Јадај, Јоил и Ванеја.
44. Сите тие си беа зеле жени од други племиња, а некои од тие жени им беа родиле и деца.

# Неемија

Глава 1

1. Зборовите на Неемија, синот Ахалиев. Во месецот Хаселев, во дванаесеттата година, јас бев во престолниот град Суза.
2. Тогаш дојде Ананија, еден од моите брака, - тој и неколку души од Јудеја. И јас ги прашав за многу нажалените Јудејци, што не беа заробени, и за Ерусалим.
3. А тие ми рекоа: 'Оние што останаа незаробени, се нао аат таму, во земјата своја, и се во голема невоља и понижение; а ѕидовите на Ерусалим - се урнати, и портите негови - со оган изгорени.'
4. Кога ги чув тие зборови, седнав и заплакав и бев нажален неколку дена, постев и се молем пред Бога небесен,
5. и реков: 'Господи, Боже небесен, Боже велики и страшен, Кој го пазиш заветот и милоста кон оние, што Те сакаат и постапуваат - според Твоите заповеди!
6. Ушите Твои нека бидат внимателни и очите Твои отворени, за да ја чујат молитвата на Твојот слуга, со која сега се молам дење и ноке пред Тебе за синовите Израилеви, слугите Твои, и се исповедувам за гревовите на синовите Израилеви, со кои згрешивме пред Тебе , згрешивме - јас и домот на таткото мој.
7. Ние станавме престапници пред Тебе и не ги запазивме ни заповедите, ни наредбите, ни законите, што ги беше дал на Мојсеја, Твојот слуга.
8. Но присети се на зборот, што му го беше дал на Мојсеја, Твојот слуга, велејки: ‘Ако станете престапници, ке ве растурам ме у народите,
9. а кога ке се обрнете кон Мене и ке ги пазите Моите заповеди и ке ги извршувате, тогаш, макар да сте изгонети и на крајот на небото, и оттаму ке ве приберам и ке ве одведам на местото што сум го одбрал, за да го воведам таму името Свое.‘
10. А тие се Твои слуги и Твој народ, што Си го откупил со големата Своја сила и со мокната Своја рака.
11. Ти се молам, Господи, нека биде увото Твое внимателно кон молитвата на Твојот слуга и кон молитвата на Твоите слуги, кои сакаат да се плашат од името Твое. Помогни му сега на Твојот слуга и воведи го во милоста на тој човек.' - Јас бев пехарник кај царот.

Глава 2

1. Во дваесеттата година од царувањето на Артаксеркса, во месецот Нисан, имаше пред него вино. Јас го зедов виното и му го подадов на царот, и бев натажен пред него.
2. Но царот ме праша: 'Зошто ти е нажалено лицето? Ти не си болен, такво нешто нема, но секако имаш тага на срцето.' Јас многу се уплашив
3. и му реков на царот: 'Нека е жив царот засекогаш! Како да не ми биде тажно лицето кога градот, домот, каде што се гробовите на татковците мои, е запустен, и портите негови со оган се изгорени!'
4. И царот ми рече: 'Па што бараш?' Јас се помолив на Бога небесен
5. и му одговорив на царот: 'Ако му е угодно на царот, и ако твојот слуга нашол благоволение пред лицето твое, тогаш испрати ме во Јудеја, во градот, каде што се гробовите на татковците мои, за да го изѕидам.'
6. И ми рече царот и царицата, која седеше до него: 'Колку време ке трае патот твој, и кога ке се вратиш?' И царот се согласи да ме пушти, откако го определив времето.
7. Тогаш му реков на царот: 'Ако благоволи царот, нека ми се даде писмо до задречните обласни кнезови, за да ми дозволат пропуст, додека стигнам до Јудеја,
8. и писмо до Асафа, чуврот на царските шуми, да ми даде дрва за вратите на тврдината, што е при Божјиот дом, и за градските ѕидишта, и за куката, во која ке живеам.' И царот ми даде, бидејки благодатната рака на мојот Бог беше над мене.
9. Кога стигнав при задречните обласни кнезови, им ги предадов царските писма. А царот беше испратил со мене воени началници со коњаници.
10. Кога го слушнаа тоа Саваналат, Аронит и Товија, слуга амонитски, им стана многу непријатно, што дошол човек да се грижи за доброто на синовите Израилеви.
11. Пристигнав во Ерусалим и останав таму три дни.
12. Потоа станав ноке со неколку души, што беа при мене, и никому не му кажав, што ми ставил мојот Бог на срце да направам за Ерусалим; а немаше никакво добиче со мене, освен она на коешто јавав.
13. Така минав ноке преку Долинските Порти пред изворот во смокварникот и низ Гноиштните Порти, ги разгледав разрушените ѕидишта на Ерусалим и изгорените негови порти со оган.
14. И дојдов до Изворните Порти и до царското езеро, но таму немаше место да мине добичето, што беше под мене;
15. и се вратив назад по долот ноке и ги разгледав ѕидиштата и, откако минав пак низ Долинските Порти, се вратив.
16. Но старешините не знаеја, каде одев и што правев: дотогаш не им бев открил ништо ни на Јудејците, ниту на свештениците, ниту на првенците, ниту на началниците, ниту на другите работници.
17. Затоа им реков: 'Гледате во каква невоља се нао аме; Ерусалим опусте, и портите негови со оган се изгорени; да одиме и да ги изградиме ѕидовите на Ерусалим, та да не бидеме веке за срам пред лу ето.'
18. И им раскажав, дека благодатната рака на мојот Бог беше над мене, - и за зборовите на царот, што ми ги кажа. Па им реков: 'Да станеме и да градиме!' Тогаш им се зацврстија рацете во добро дело.
19. Кога го слушнаа тоа Саваналат Аронит и Товија, слуга амонитски, и Гисам Арабјанин, ни се потсмевнуваа и рекоа со презир: 'Каква е таа работа што ја вршите? Не мислите ли повеке да се буните против царот?'
20. Јас им одговорив и реков: 'Бог небесен, Он ке ми помогне, и ние, слугите Негови, ке почнеме да ѕидаме, а за вас нема да има ни дел, ни право, ни спомен во Ерусалим.'

Глава 3

1. И стана Елијашив, големиот свештеник, и браката негови, свештеници, и изградија Овчи Порти: ги осветлија и ги ставија вратите нивни и ги осветлија од кулата Меа до кулата Хананела.
2. До него градеа Јерихонците, а до нив градеше Закхур, син Аманиев.
3. Рибна Порта изградија синовите Асанаеви: тие ги покрија и ги ставија вратите нивни, клучналниците нивни и резињата нивни.
4. До нив Меремот, син на Урија, син Акосов, го поправаше ѕидот; до нив Мосолам, син Варахиев, син Мозевилов; до нив поправаше Садок, син Ванин.
5. До нив поправаа Текојци; но некои од нив, повидните, не го свиткаа грбот за да поработат за својот Господ.
6. Старите порти ги поправаа Јоизда, син Пасеахов, и Мешулам, син Весодиев; ти ги покрија и ги ставија вратите нивни, клучалките нивни и резињата нивни.
7. До нив поправаше Малтија, Гаваонец, и Јадон од Меронот, со жителите на Гаваон и Масфа, потчинетите на задречниот кнез.
8. До него поправаше Озиил, син Архиев, златар, а до него поправаше Ананија, син Ракеимов. Тие го обновија Ерусалим до широкиот ѕид.
9. До нив поправаше Рефаија, син Суров, началник на Ерусалимскиот полукруг.
10. До нив и спроти куката своја поправаше Једаија, син Ероматов, а до него поправаше Атут, син Асаваниев.
11. На вториот дел поправаше Мелхија, син Мрамов, и Асув, Фет-Моавов син; тие исто така ја поправаа и Кулата кај печката.
12. До нив поправаше Салум, Алаисов син, началник на Ерусалимскиот полуокруг, - тој и керките негови.
13. Долинските Порти ги поправаше Анун, и жителите од Занон: тие ги изградија и ги ставија вратитие нивни, клучалките нивни и резињата нивни: Тие уште поправаа и иљада лакти од ѕидот до Гноишните Порти.
14. А Гноишните Порти ги поправаше Мелхија, Риханов син, начланик на Виткрамскиот округ: тој ги изгради и ги стави вратите нивни, клучалките нивни и резињата нивни.
15. Изворните Порти ги поправаше Соломон, Халезеов син, началник на округот Мисфа: тој ги изгради, ги покри и ги стави вратите нивни, клучалките нивни и резињата нивни; тој го поправаше и ѕидот при бањата Силоам, спроти царската градина и од скалите, што слегуваа од Давидовиот град.
16. По него поправаше Неемија, Завухов син, начланик на Битсрускиот полукруг, до Давидовите гробници и до ископаното езеро и до куката на храбрите.
17. По нив поправаа левитите: Рехум, Ваниев син; до него поправаше, за својот округ, Асавија, началник на Кеилскиот полукруг.
18. По нив поправаа браката нивни: Венеи, Инададов син, началник на Келилскиот полуокруг.
19. А до него поправаше Азур, Исусов син, начланик на Мисфа, на вториот дел, спроти излезот кон оружницата на аголот.
20. По него ревносно поправаше Варух, Завуев син, на вториот дел, од аголот до кукната врата на Елијасува, големиот свештеник.
21. По него поправаше Мерамот, син на Урија, син Акосов, на вториот дел, од кукната врата на Елијасивови до крајот на Елијасивовата кука.
22. По него поправаа свештениците од околината.
23. По него поправаа Венијамин и Асув, спроти својата кука; по нив поправаше Азарија, син на Масија, Ананиев син, до куката своја.
24. По него поправаше Ванеј, син Ададов, на вториот дел, од Азариевата кука до аголот и свиокот.
25. По него - Фалах, Узаинов син, спроти аголот и кулата, што се издига од горниот царски дом

при затворскиот двор. По него Фадаија, Фаросов син.
26. А Нетинејците, што живееја во Офал, поправаа спроти Водните Порти кон исток и до издадената кула.
27. По нив поправаа Текојците, на другиот дел, на местото спроти големата издадена кула до Офалскиот ѕид.
28. Од Конските Порти понатаму поправаа свештениците, секој спроти куката своја.
29. По нив поправаше Садок, Сехениев син, чувар на источните порти.
30. По него поправаше Ананија, Шелемиев син, и Ханун, шестиот син Цалафов, на вториот дел. По него поправаше Мешулам, Верехиев син, спроти собата своја.
31. По него поправаше Малхија, Хацорфиев син, до куката на Нетинејците и трговците, спроти Хамифкадските Порти дури до аголната горнина.
32. А ме у аголната горнина и Овчите Порти поправаа златари и трговци.

Глава 4

1. Кога чу Санавалат, дека ги ѕидаме ѕидовите, се налути и додеваше многу и се подигруваше со Јудејците;
2. и зборуваше пред браката свои и пред самариските воени лу е, велејќи: 'Што прават тие проклети Јудејци? Зар ќе им го дозволат тоа? Зар тие ќе принесат жртви? Зар ќе завршат некогаш? Зар ќе ги оживеат камењата од купиштата прав, и притоа изгорени?'
3. А до него Товија, Амонитецот, рече: 'Нека го ѕидаат; ќе мине лисицата и ќе ги срине камените ѕидови нивни.'
4. Чуј, Боже наш, на каков презир сме, и сврти ја таа нивна подигравка врз главите нивни, предај ги на презир во земја во пленство.
5. Не ги прикривај беззаконијата нивни, и гревот нивни да не биде избришан пред лицето Твое, бидејќи Те огорчија оние што ѕидаат.
6. Ние сепак го градевме ѕидот, и целиот ѕид високо беше поврзан до половината негова. И на народот му беше при срце да работи.
7. Кога слушнаа Санавалат и Товија, и Аралците, и Амонитите, и Азотите, дека ерусалиските ѕидови се возобновуваат, дека расипаното почна да се исполнува, многу се разгневија.
8. И се договорија да одат заедно да војуваат против Ерусалим и да го разрушат.
9. А ние му се молевме на нашиот Бог и поставивме спроти нив стража дење и ноќе, за да се спасиме од нив.
10. Но Јудејците рекоа: 'Ослабна силата на носачите, а земја од урнатините има многу; не можеме да го градиме ѕидот.'
11. А непријателите наши, пак, велеа: 'Нема да успеат и нема да видат, кога наеднаш ќе влеземе ме у нив, ќе ги убиеме, и ќе ја запреме работата.'
12. Доа аа Јудејците, што живееја до нив, и ни говореа на десетина пати од сите места дека ќе не нападнат,
13. тогаш по ниските места на градот, зад ѕидот, по сувите места, го поставија народот по родови со мечевите нивни, со копјата нивни и со лаковите нивни.
14. Па погледнав и станав, та им реков на првенците и војводите и на другиот народ: 'Не плашете се од нив; помнете Го Господа велик и страшен и бијте се за браката свои, за синовите свои, за ќерките свои, за жените свои и за куќите свои.'
15. Кога слушнаа нашите непријатели, дека ни е познато што кројат, тогаш Бог го растури нивниот заговор, и ние сите се вративме кај ѕидот, секој на својата работа.
16. Од тој ден половината од младите при мене се нао аа на работа, а другата половина нивна стоеја со копја, штитови, лакови и оклопи; а војводите нивни беа зад целиот дом Јудин.
17. Оние, што го градеа ѕидот и носеа товари, што им се наложуваа, со едната рака ја вршеа работата, а во другата рака држеа копје.
18. Сите градители беа препашани со меч околу половината, и така градеа, а до мене беше трубачот.
19. И им реков на првенците и началниците и на другиот народ: 'Работата е голема и просторна, а ние сме распрснати по ѕидот и оддалечени едни од други;
20. затоа, од каде ќе чуете трубен звук, во тоа место собирајте се при нас: Бог наш ќе се бори за нас.'
21. Така ја теравме работата; и половината ги држеа копјата откако зората се појави, додека ѕвездите да излезат.
22. Освен тоа, истовремено му бев порачал на народот да ноќеваат во Ерусалим сите со слугите свои, - и да бидат тие кај нас ноќе на стража, а дење на работа.
23. И ниту јас, ниту браката мои, ниту стражарите, што ме придружуваа, не ги соблекувавме облеките свои, и секој од нас имаше при рака меч и вода.

Глава 5

1. Се крена голем врисок од лу ето и нивните жени, против Јудејците, браката нивни.
2. Имаше едни, кои велеа: 'Ние, синовите наши и керките наши сме многу; и ние би сакале да си набавиме жито, да се храниме и да живееме.'
3. Имаше и такви, што велеа: 'Ги заложуваме нивните свои, лозјата свои и куките свои, за да си набавиме жито при оваа глад.'
4. Имаше и такви, кои велеа: 'Ние позајмуваме сребро за царскиот данок за нивите и лозјата свои;
5. ние имаме исто тела, какви што се телата на браката наши, и синовите ни се такви, какви што се нивните синови, а ете, ние сме должни да ги даваме синовите свои и керките свои за слуги, а, пак некои наши керки веке се нао аат во ропство. Нема никакви средства за откуп во рацете наши; и нивите наши и лозјата наши се во рацете на големците.'
6. Кога го чув нивниот врисок и тие зборови, многу се јадосав.
7. Срцето мое се возбуди, и јас строго ги искарав првенците и војводите, велејки им: 'Вие земате лихва од браката свои.' И свикав против нив големо собрание,
8. па им реков: 'Ние според силите свои ги откупуваме браката свои Јудејци, продадени на народите, а вие ги продавата браката свои, и тие ни се продаваат нам?' Тие молчеа и не знаеја, што да одговорат.
9. Тогаш реков: 'Не е добро што правите. Нели треба да одите во страв пред нашиот Бог, за да го одбегнете потсмевот на народите, нашите непријатели?
10. И јас и браката мои и оние што служат при мене им даваме на заем и сребро и жито: да им го простиме тој долг.
11. Вратете им ги уште денес нивните ниви, лозјата нивни и маслиновите градини нивни, и куките нивни, и лихвата од среброто, житото, виното и елејот, што сте го зеле од нив.'
12. А тие одговорија: 'Ke го вратиме и нема ништо да бараме од нив; ке направиме така, како што велиш.' Тогаш ги повикав свештениците и им заповедав да дадат клетва, дека ке направат така.
13. Па ја истресов облеката своја и реков: 'Така да го истресе Бог секој човек, што нема да го одржи тој збор, од домот негов, од имотот негов, и така да биде во него истресено и празно се!' И целото собрание рече: 'Амин!' и го прославија Бога; и народот го одржа тој збор.
14. Од тој ден, кога бев определен за нивни управител во Јудејската земја, од дваесеттата година до триесет и втората година на царот Артаксеркс, во текот на дванаесет години, јас и браката мои не јадевме управителски леб.
15. А поранешните управители, што беа пред мене, го оптоваруваа народот и земаа од него жито и вино, освен четириесетте сикли сребро; дури и слугите нивни владееја над народот. Но јас не правев така поради страв Божји.
16. Притоа јас ги поттикнував работите кај овој ѕид; и ниви не купувавме, а сите мои слуги се собираа таму на работа.
17. При мене на трпезата имаше по сто и педесет души Јудејци и началници, освен оние што доа аа при нас од околните народи.
18. И, еве, што се приготвуваше за еден ден: еден бик, шест одбрани овци и птици се готвеа кај мене; и секои десет дена се набавуваа различни вина во изобилие. И при сето тоа јас не сакав управителски леб, зашто тешка работа лежеше врз тој народ.
19. Боже мој, спомни ме мене за сето добро, што го направив за овој народ!

Глава 6

1. Кога слушна Санавалат, Товија и Гисам, Арабјанинот и другите наши непријатели, дека јас го изѕидав ѕидот, и повреда на него не остана - до тоа време, ме утоа, не бев поставил уште врати на портите, -
2. тогаш Санавалат и Гисам испратија да ми кажат: 'Дојди, и ке се сретнеме во едно од селата во рамината Оно!' Тие кроеја да ми направат лошо.
3. Но јас испратив пратеници да им кажат: 'Зафатен сум со голема работа, не можам да слезам; работата ке запре, ако ја оставам и слезам при вас.
4. Четирипати испракаа при мене се со таква покана и јас им одговарав исто.
5. Тогаш Санавалат го испрати по мене, за петти пат, слугата свој со отворено писмо во раката своја.
6. Во него беше напишано: 'Глас се разнесува ме у народите, и Гисам вели, дека божем ти и Јудејците сте намислиле да се отцепите, и поради што и го ѕидаш ѕидот и сакаш да им бидеш цар, така се зборува;
7. си поставил и пророци да разгласуваат за тебе во Ерусалим и да говорат: ‘цар јудејски!‘ А таквите зборови ке дојдат до царот. Затоа дојди, и ке се посоветуваме заедно.'
8. Но јас испратив да му кажат: 'Ништо такво немало, за што зборуваш; сам си го измислил со својот ум.'
9. А тие сите не плашеа, велејки: 'Ќе им капнат рацете од таа работа, и таа нема да се заврши.' Но јас уште повеке си ги зацврстив рацете свои.
10. Отидов во куката на Семеја, син на Делаја, син Метавеилев, и тој се затвори и рече: 'Да појдеме во Божјиот дом, внатре во храмот, и да ја заклучиме потоа вратата на храмот, зашто ке дојдат да те убијат ноке.'
11. Но јас одговорив: 'Бива ли да бега човек како мене? Бива ли така како мене да влезе во хрмот, за да остане жив! Не одам.'
12. Јас знаев, дека не го беше испратил Бог, - иако ми говореше пророчки, - туку дека Товија и Санавалат го беа поткупиле.
13. Тој беше поткупен, за да ме уплаши, да постапам така и да згрешам, та да имаат за мене лошо мислење и да ме казнат за тоа со прекори.
14. Помни ги, Боже мој, Товија и Санавалата според тие нивни дела, а исто така и пророчицата Ноадија и другите пророци, што сакаа да ме уплашат?
15. Ѕидот беше завршен во дваесет и петтиот ден од месецот Елум, за педесет и два дена.
16. Кога слушнаа за тоа сите наши непријатели, и ги видоа тоа сите околни народи, многу се обескуражија и дознаа дека таа работа и извршена од нашиот Бог.
17. Освен тоа, во тие дни повидните Јудејци, пишуваа писма и ги испракаа до Товија, а Товиевите писма одеа при нив,
18. зашто мнозина во Јудеја беа во клетвен сојуз со него, оти тој му беше зет на Сехенија, син Ираев, а синот негов Јонатан беше женет за керката на Месулама, син Варахиев.
19. Тие говореа пред мене дури и за неговата добрина, а моите зборови му се пренесуваа нему. Товија ми испракаше писма, за да ме уплаши.

Глава 7

1. Кога ѕидот беше изграден, и ги ставија вратите, а и вратарите беа пставени на службата своја, и певците и левитите,
2. тогаш му заповедав на братот мој Ананија и на началникот на домот во Ерусалим, бидејќи тој беше од многу други поверен и побогобојазлив,
3. и им реков: нека не ги отвораат ерусалимските порти, додека не изгрее сонцето; и вечер, додека вратарите се нао аат тука, нека ги затвораат и заклучуваат портите. И определив стражари од жителите ерусалимски, секој на своја стража и секој спроти куката негова.
4. Но градот беше широк и голем, а народ во него имаше малку, и куќите не беа изградени.
5. И Бог мој ми вложи во срцето да ги соберам првенците и началниците и народот, за да извршам пребројување. Па го најдов родословниот список на оние што беа дошле први; во него беше напишано:
6. ова се жителите на земјата, што се вратија од пленство, каде што беа преселени од вавилонскиот цар Навуходоносор, и се вратија во Ерусалим и Јудеја, секој во својот град, -
7. оние, што тргнаа со Зоровавела, Исуса, Неемија, Азарија и Велма, Наемана, Мардохеја, Васана, Масфара, Ездра, Вогуја, Инаума, Вана и Масфара, бројот на народот Израилев:
8. синовите Фаросови - две иљади и сто и седумдесет и двајца.
9. Синовите Сафатиеви - триста и седумдесет и двајца.
10. Синовите Ираеви - шестотини и педесет и двајца.
11. Синовите Фет-Моавови - Исусови и Јоавови - две иљади и осумстотини и осумнаесет.
12. Синовите Еламови - иљади и двесте и педесет и четири.
13. Синови Затуеви - осумсторини и четириесет и пет.
14. Синовите Заханеви - седумстотини и шеесет.
15. Синовите Ванyеви - шестотини и четириесет и осум.
16. Синовите Верeиеви - шестотини и дваесет и осум.
17. Синовите Гетадови - две иљади и триста и дваесет и двајца.
18. Синовите Адоникамови - шестотини и шеесет и седум.
19. Синовите Вагуеви - две иљади и шестотини и седум.
20. Синовите Адинови - шестотини и педесет и пет.
21. Синовите Атирови, од Езекиевиот дом - деведесет и осум.
22. Синовите Исамиеви - тирста и дваесет и осум.
23. Синовите Васееви, триста и дваесет и четири.
24. Синвоите Арифови - сто и дванаесет.
25. Родените во Гаваон - деведесет и пет.
26. Жителите од Витлеем и Нетофа - сто и осумдесет и осум.
27. Жителите од Анатот - сто и дваесет и осум.
28. Жителите од Вет-Асмавет - четириесет и двајца.
29. Жителите од Киријат-Јарим, Кафер и Вирот - седумстотини и четириесет и тројца.
30. Жителите од Рама и Гава - шестотини и дваесет и еден.
31. Жителите од Махмас - сто и дваесет и двајца.
32. Жителите од Ветил и Гај - сто и дваесет и тројца.
33. Жителите од другиот Невон - педесет и двајца.
34. Синовите од другиот Елам - иљади и двесте и педесет и четворица.
35. Синовите Арамови - триста и дваесет.
36. Родени во Јерихон - триста и четириесет и пет.
37. Родени во Лод, Адид и Оно - седумстотини и дваесет и еден.
38. Родени во Сенеја - три иљади и деветстотини и триесет.
39. Свештениците: синови Јодаеви, од Исусовиот дом - деветстотини седумдесет и тројца.
40. Синови Емирови - иљада и педесет и двајца.
41. Синови Фасеурови - иљада и двесте и четириесет и седум.

42. Синови Ирамови - иљада и седумнаесет.
43. Левитите: синови Исусови, од Кадмииловиот дом, од домот на Удуловите синови - седумдесет и четири.
44. Певците: синови Асафови - сто и четириесет и осум.
45. Вратарите: синови Салумови, синови Атирови, синови Талмонови, синови Акувови, синови Атитови, синови Соваеви - сто и триесет и осум.
46. Нетинејци: синовите на Илај, синовите на Асефа, синови Јаваотови,
47. синовите Кирасови, синовите на Сисанија, синовите Фадонови,
48. синовите на Лавана, синовите на Агава, синовите Салмаеви,
49. синовите Ананови, синовите Гиделови, синовите Гарови,
50. синовите Реајеви, синовите Ресинови, синови на Некода,
51. синовите Гизамови, синовите Озаови, синовите Фесови,
52. синовите Висаеви, синовите Меунимови, синовите Нафусесимови,
53. синовите Ваквукови, синовите на Акуфови, синовите Арурови,
54. синовите Васалтови, синовите на Мида, синовите Адасанови,
55. синовите Варкуеви, синовите на Сисара, синовите Тимаеви,
56. синовите Нисиниеви, синовите на Атифа.
57. Синовите на слугите Соломонови: синовите Сутеинови, синовите Сафаратови, синовите на Ферида,
58. синовите на Лели, синовите на Доркон, синовите Годаилови,
59. синовите Сефатиеви, синовите Атилови, синовите од Харет, синовите Амониеви.
60. Сите Нетинејци и синовите од слугите Соломонови - триста и деведесет и двајца.
61. Еве ги и оние што излегуваа од Телмелех, Тел-Арис, Херув, Адон и Имир, но не можеа да го кажат поколението свое и родот свој, дали се и тие од Израилот:
62. синовите Делаиеви, синовите Товиеви, синовите на Некода - шестотини четириесет и двајца.
63. А од свештениците: синовите Ховаиеви, синовите Акосови, синовите на Верзелија, кој беше женет со кекрата на Галадецот Верзелија и почна да се презива според нивното име.
64. Тие го бараа родословниот список, но не се најде, та затоа беа исклучени од свештенството.
65. И Атерсат им рече да не ја јадат големата светиња, се додека не се издигне свештеник со урим и тумим.
66. Целото општество заедно беше четириесет и две иљади и триста и шеесет души,
67. освен слугите нивни, кои беа седум иљади и триста и триесет и седум; и при нив уште певци и певици - двесте и четириесет и пет.
68. Коњи имаа седумстотини и триесет и шест, маски имаа двесте и четириесет и пет,
69. камили - четиристотини и триесет и пет, осли - шест иљади и седумстотини и дваесет.
70. Некои од родовските началници дадода приноси, за да врват работите. Агерсат даде во сокровишницата иљада драхми злато, петстотини чаши, петстотини и триесет свештенички одежди.
71. А некои од старешините дадоа во сокровишницата, за да напредуваат работите, дваесет иљади драхми злато и две иљади и двесте мнаси сребро.
72. Други од народот дадоа дваесет иљади драхми злато и две иљади мнаси сребро и шеесет и седум свештенички одежди.
73. И така се населија во градовите свои свештеници и левити, и вратари и певци, и народ и Нетинејци и сиот Израил.

Глава 8

1. Кога настана седмиот месец, и синовите Израилеви живееја по градовите, се собра сиот
народ како еден човек на плоштадот, што е пред Водните порти, и му рекоа на книжникот
Ездра, да ја донесе книгата на Мојсеевиот закон, која Господ му ја беше дал на Израилот.
2. И свештеникот Ездра го донесе Законот пред собранието од мажи, жени и сите, што можеа
да разбираат, во првиот ден на седмиот месец;
3. и читаа од него на плоштадот, што е пред Водните порти, од осамнување до пладне, пред
мажите, жените и сите што можеа да разберат; и ушите на сите лу е беа насочени кон книгата
на Законот.
4. Книжникот Ездра стоеше на повисоко место што се приготви за таа цел, а до него десно
стоеја Мататија, Сема, Ананија, Урија, Хелкија и Масија, а лево од него - Федаија, Мисаил,
Малхија, Асум, Асвадан, Зарахија и Месулам.
5. Ја отвори Ездра книгата пред очите на сиот народ, зашто тој стоеше повисоко од сиот народ.
А кога ја отвори, сиот народ стана.
6. Тогаш Ездра го благослови Господа, Великиот Бог. И сиот народ одговараше: амин, амин, -
кревајки ги рацете угоре, клањајки се и па ајки ничкум доземи пред Господа.
7. А Исус, Ванаја, Саравија, Акан, Саватеј, Камтас, Азарија, Јозавадан, Анифанес и левитите му
го објаснуваа законот на народот, а народот стоеше на местата свои.
8. И читаа разбирливо од книгите, од Законот Божји, и даваа толкување, и народот го
разбираше прочитаното.
9. Тогаш Неемија, и книжникот Ездра, свештеник, и левитите, кои го чуваа народот, му рекоа
на сиот народ: 'Овој ден е свет пред Господа, вашиот Бог; не тажете и не плачете,' - зашто
сиот народ плачеше, слушајки ги зборовите на Законот.
10. И им рече: 'Одете, јадете... мрсно и пијте слатко, и испратете им делови на оние, што
немаат приготвено, зашто овој ден е свет пред нашиот Господ. Не тажете, зашто радоста пред
Господа е поткрепа за вас.'
11. И левитите го утешуваа сиот народ, велејќи: 'Престанете, зашто овој ден е свет, не
тажете.'
12. И појде сиот народ да јаде и да пие и да испарка делови и да празнува со голема радост,
зашто ги разбраа зборовите, што им ги кажаа.
13. На другиот ден се собраа старешините на родовите од сиот народ, свештениците и
левитите при книжникот Ездра, за да им ги објасни зборовите на Законот.
14. И го најдоа напишаното во Законот што Господ го беше дал преку Мојсеја, дека на
празникот во седмиот месец синовите Израилеви треба да живеат во сеници.
15. Затоа објавија и разгласија по сите свои градови и во Ерусалим, велејќи: 'Одете во горага и
донесете вејки од питома маслина, вејки од дива малина, вејки миртови, вејки палмови и вејки
од други широколисни дрвја, за да направите сеници според запишаното.'
16. Отиде народот и донесоа, та си направија сеници, секој на покривот свој и во дворовите
свои, и во дворовите на Божјиот дом, и на плоштадот при Водните Порти, и на плоштадот при
Ефремовите Порти.
17. Целото општество од оние, што се беа вратиле од пленство, направи сеници и живееја во
сеници. Од дните на Исуса, синот Навинов, та до тој ден не беа правеле така синовите
Израилеви. Радоста беше многу голема.
18. И читаа во книгата на Законот Божји секој ден, од првиот ден до последниот. И го
празнуваа празникот седум дена, а на осмиот ден - се одржа собор според уредбата.

Глава 9

1. На дваесет и четвртиот ден од тој месец се собраа сите синови Израилеви, постејки, во врекишта и со пепел на главите свои.
2. И се оддели Израилевото семе од сите другоротци, станаа, па ги исповедаа гревовите свои и престапите на татковците свои.
3. И стоеја на местата свои, и четврт ден читаа од книгата на законот Господов, својот Бог, а во другата четвртина се исповедаа и му се клањаа на Господа, својот Бог.
4. И застанаа на повисоко левитско место: Исус, Ванија, Кадмил, Саланија, Вуниј, Саравија, Ванија, Анани и силно повикаа кон Господа, својот Бог.
5. И рекоа левитите - Исус, Кадмил, Ванија, Севаија, Саравија, Одија, Севанија, Петахија: 'Станете, славете Го Господа, вашиот Бог, од века до века, и нека се славослови преславното Твое име, кое е повисоко од секое славословие и похвала!'
6. И рече Ездра: 'Ти, Господи, Кој си еден, Ти го создаде небото, небесата на небесата и сета нивна војска, земјата и се, што е по неа, морињата и се, што е во нив, и Ти го оживуваш сето тоа, и небесните воинста Ти се клањаат.
7. Ти сам, Господи Боже, го избра Аврама, ги изведе од Ур Халдејски и му даде име Авраам,
8. и го најде срцето негово верно пред Тебе, и склучи со него завет, за да му ја дадеш нему и на семето негово земјата на Хананејците, Хетејците, Аморејците, Ферезејците, Јевусејците и Гергесејците. И Ти го исплни зборот Свој, зашто си справедлив.
9. Бидејќи Ти ја виде маката на Татковците наши во Египет и ја чу нивната поплака при Црвеното Море,
10. и покажа знаци и чудеса над Фараонот и над сите негови служители и над сиот народ од земјата негова, бидејќи Ти знаеше, оти тие постапија горделиво со нив, и Ти Си создаде име до денес.
11. Ти го пресече пред нив морето, и тие минаа среде море како по суво, а оние што те гонеа, Ти ги фрли во длабочините како камен во силни води.
12. Во облачен столб Ти ги водеше дење и во огнен столб - ноке, за да им го осветлуваш патот, по кој требаше да одат.
13. И слезе Ти на гората Синај и говореше со нив од небото, им даде праведен суд, вистински закони, наредби и добри заповеди.
14. И им ја покажа Твојата света сабота и преку Твојот слуга Мојсеј им даде заповеди, наредби и закон.
15. И кога гладуваа, Ти им даваше леб од небото, а кога беа жедни, им извади вода од камен, и им рече да одат и да ја завладеат земјата, која Ти, откога ја крена раката, се заколна дека ке им ја дадеш.
16. Но тие, нашите татковци, беа упорни, се покажаа тврдоглави и не ги послушаа Твоите заповеди;
17. не сакаа да се покоруваа и не се сетија на Твоите чудесни дела, што беше ги направил со нив, станаа тврдоглави и со својата упорност поставија над себеси водач, за да се вратат во ропството свое. Но Ти си Бог, Кој сака да проштева, добар и милостив, долготрпелив и многумилостив, и Ти не ги остави.
18. И макар што беа илзезле теле и беа рекле: ‘ете го твојот бог, што те изведе од Египет‘ - и макар што правеа големи оскрбувања,
19. Ти, поради големото Свое милосрдие, не ги остави во пустињата; облачниот столб не се одлепуваше од нив дење, за да ги води по патот, и огенениот столб - ноке за да им свети по патот, по кој требаше да одат.
20. Ти им го даде Твојот благ Дух, за да ги поучува, и не ја одземаше маната Своја од устата нивна, па и вода им даваше за гаснење на жедта нивна.
21. Четириесет години ги хранеше во пустињата; но ништо не трпеа скудност, облеката не им оветвуваше, нозете не им потекуваа.

22. И Ти им даде царства и народи и им ги раздели, и тие ја завладеаја земјата на Сион и земјата на есевонскиот цар, и земјата на Ога, царот васански.
23. И им ги умножи синовите нивни како небесните ѕвезди и ги воведе во земјата, за која им беше говорел на татковците нивни, дека ке дојдат да ја владеат.
24. И синовите нивни влегоа и ја завладеаја земјата. И ти им го потчини жителите на таа земја - Хананејците, и ги предаде во рацете нивни со царевите и народите на земјата, за да постапуваат со нив според вољата своја.
25. И тие ги заседоа утврдените градови и плодната земја, и завладеаја куки, полни со секаков имот, направени извори во камен, лозја и маслинови градини и многу плодни дрвја за храна. Тие јадеа, се наситуваа, се дебелеа и се насладуваа од Твојата голема добрина;
26. и тие станаа упорни и се креваа против Тебе, го презреа Твојот закон, ги убиваа Твоите пророци, кои сведочеа да се обратат кон Тебе, и правеа големи оскрбувања.
27. И Ти ги предаде затоа во рацете на непријателите нивни, кои ги угнетуваа. Но секогаш кога, во тешко време за нив, ке повикаа кон Тебе, Ти ги слушаше од небесата и, по големото Свое милосрдие, им даваше спасители, што ги спасуваа од рацете на непријателите нивни.
28. А кога се успокојуваа, пак почнаа да прават зло пред Твоето лице, и Ти ги предаваше во рацете на непријателите нивни, и тие владееја со нив. Но кога пак ке повикаа кон Тебе, Ти ги слушаше од небесата и, според големото Свое милосрдие, многупати ги спасуваше.
29. Ти им напомнуваше да се обрнат кон Твојот закон, но тие беа тврдоглави и не ги слушаа Твоите заповеди, се отстрануваа од Твоите закони, преку кои би живеел човек, ако ги исполнуваше, го свиткаа грбот, се покажаа тврдокорни и не слушаа.
30. Чекајки да се обрнат, Ти одлагаше многу години и им напомнуваше со Твојот Дух преку пророците Свои, но тие не слушаа. Тогаш ги предаде во рацете на ту и народи.
31. Но, по големото Свое милосрдие, Ти не ги истреби докрај и не ги оставаше, бидејки Ти си Бог добар и милостив.
32. И сега, Боже наш, Боже велики, силни, страшен, Кој го пази заветот и милоста, нека не биде мало пред лицето Твое сето страдање, што не снајде нас, царевите наши, кнезовите наши, свештениците наши, татковците наши и сиот Твој народ од дните на асирските цареви до денес.
33. Во се, што не снајде, Ти си праведен, зашто Ти вршиш според правдата, а ние сме виновни.
34. Царевите наши, кнезовите наши, свештениците наши и татковците наши не го извршуваа Твојот закон и не им посветуваа внимание на Твоите заповеди и Твоите опомени, со кои ги потсетуваше.
35. И во своето царство, при Твојата голема добрина што им ја укажуваше, и во широката и плодородна земја, што им ја оддели, тие не Ти служеа и не се одваратуваа од своите лоши работи.
36. И, еве, сега сме робови; во таа земја, што Ти им ја даде на татковците наши, за да се хранат од плодовите нејзини и од благата нејзини, еве, сега ние и робуваме.
37. И своите плодови таа изобилно ги принесува за царевите, на кои што не потчини заради гревовите наши. И тие по своја воља владеат над телата наши, и над добитокот наш, и ние сме во голема мака.
38. Поради сета тоа даваме цврст завет и потпишуваме, и на потписот е печатот на кнезовите наши, левитите наши и свештениците наши.

Глава 10

1. Оние што удрија печат, беа: Неемија, Артастас, син Ахилиев, и Седекија, син Араиев
2. Seранија, Азарија, Јеремија,
3. Фасур, Амарија, Мелхија,
4. Атуст, Севанија, Малух,
5. Ирим, Мерамот, Адија,
6. Даниил, Ганатон, Варух,
7. Месулам, Авија, Мијамин,
8. Мазија, Велгај, Самаија: тоа се свештеници.
9. Левити: Исус, син Азариев, Внеј, од синовите Инададови, и Кадмиил;
10. и браката нивни: Саванија, Одуија, Камтан, Фелија, Анан,
11. Миха, Рехов, Асевија,
12. Закхор, Саравија, Севанија,
13. Одуја, Вануиј, синови Ваниуеви.
14. Народните кнезови: Фарос, Фат-Моав, Илам, Затуј, синови Ваниини,
15. Азгад, Виваj,
16. Ананија, Вагој, Идин,
17. Атир, Езекија, Азур,
18. Одувија, Исм, Висиј,
19. Ариф, Анатот, Новај,
20. Мегафис, Месуалм, Изир,
21. Месезевил, Садук, Једуја,
22. Фалтија, Анан, Анаја,
23. Осија, Ананија, Асув,
24. Адој, Фала, Совик,
25. Фаум, Есаванија, Масија,
26. Ахија, Енан, Инам,
27. Малух, Ирам, Вана.
28. И другиот народ, свештеници, левити, вратари певци, Нетинејци и сите, што беа минале од ту ите народи кон законот Божји, жените нивни, синовите нивни, керките нивни, сите, што можеа да разберат,
29. се присоединија кон браката свои, кон најчесните од нив, и се обврзаа со клетва и проклетство - дека ке постапуваат по Божјиот закон, даден преку раката на Божјиот слуга Мојсеј, и дека ке ги пазат и извршуваат сите заповеди на Господа, нашиот Бог, и повелбите Негови, и наредбите Негови.
30. И да не ги даваат керките свои на ту и народи, и нивните керки да не ги земаат за синовите свои;
31. и кога ту ите народи ке дотераат добиток и се за продавање во сабота, да не земаат од нив во сабота и во свештениот ден, и на седмата година да проштеваа секакви долгови.
32. И си поставивме за закон да даваме од себеси по една третина од сикла годишно за потребите на домот на нашиот Бог:
33. за лебовите на предложението, за постојаниот лебен принос и за постојаната сепаленица, за саботите, за новомесечијата, за празниците, за свештените предмети и за жртвите за грев, за очистување на Израилот, и за се што се врши во домот на нашиот Бог.
34. И фрливме жреб ние, свештениците, левитите и народот, за набавка на дрва, кога кое наше поколение, во определено време секоја година да ги дотерува во домот на нашиот Бог, за да горат врз жртвеникот на Господа, како што е запишано во Законот.
35. Се обврзавме уште да принесуваме секоја година во домот Господов првини од земјата своја и првини од плодот на секое дрво;
36. исто така - да ги приведуваме во домот на нашиот Бог, првородените од синовите свои и

од добитокот свој, како што е пишано во законот, првородените од крупниот и ситниот добиток свој.
37. И првини од меленото жито наше, и нашите приноси, и плодови од секое дрво, и вино, и елеј ке им испракаме на свештениците во келиите при домот на нашиот Бог, и десеток од земјата своја - на левитите. Тие, левитите, ке собираат десетотк во сите градови, каде што имаме земјоделство.
38. При левитите, кога собираат левитски десеток, ке има свештеник, син Аронов, та левитите да го однесат десетокот од својот десеток во домот на нашиот Бог, во просториите одредени за клетови.
39. Зашто во тие простории како Израилевите синови, така и левитите се должни да носат се, што се принесува како дар: жито, вино и елеј. Таму се и свештените садови, и свштениците што служат, и вратарите и певците. И ние нема да го оставиме домот на нашиот Бог.

Глава 11

1. И се населија кнезовите народни во Ерусалим, а другите од народот фрлија жреб, за еден од десетте делови нивни да живее во градот Ерусалим, а деветте - во другите градови.
2. И народот го благослови сите, кои доброволно се согласија да живеат во Ерусалим.
3. Еве ги старешините на земјата, што живееја во Ерусалим, - а во градовите на Јудеја сите живееја на својот имот, по градовите свои: Израилците, свештениците, левитите и Нетинејците, и синовите на Соломоновите слуги.
4. Во Ерусалим се настанија и некои од синовите Јудини и од синовите Венијаминови; од Јудините синови: Атаија, син на Озија, син Захариев, син Амариев, син Сафатиев, син Малелеилов, од синовите Фаресови,
5. и Масија, син на Варуха, син Колхозеев, син Хазаиев, син Адаиев, син Јоариев, син Захариев, син Еилониев.
6. Сите Фаресови синови, што живееја во Ерусалим, беа четиристотини и шеесет и осум, храбри лу е.
7. А, еве, ги синовите Венијаминови: Силон, син Месуламов, син Јоадов, син Фадаиев, син Јолиев, син Масиев, син Етилев, син Јесеев,
8. и по него Гевеил Силиев - деветстотини и дваесет и осум.
9. Јоил, синот Захариев, беше началник над нив, а Јуда, синот Сенуиев, беше втор над градот.
10. Од свештениците: Јадија, син Јоариев, Јахин.
11. Сареја, син Елхиев, син Месуламов, син Садуков, син Мериотов, син Етодов, началник на Божјиот дом,
12. и нивните брака, кои вршеа служба во Божјиот дом, - осумстотини и дваесет и двајца; и Адаија, син Јероамов, син Фалалиин, син Намасов, син Захариев, син Фасетуров, син Мелхиев,
13. и браката негови, старешини на родовите - двесте четириесет и двајца; и Амесај, син Ездриилов, син Азаев, син Месилимотов, син Емиров,
14. и бракате негови, мажи воинствени - сто и дваесет и осум. Началник им беше Завадиил, син на големите.
15. А од левитите: Самаија, син Асувов, син Езрикамов, син Асавиин, син Воинин,
16. и Саватеј, и Јозавад од левитските началници за надворешни работи на Божјиот дом,
17. и Матанија, син на Миха, син Зехриев, син Асафов, водител при славословието, а Јуда на молитвата, и Вокхија, втор по него од браката негови, и Авдија, син Самеев, син Галелов, син Идитунов.
18. Сите левити од светиот град беа двесте и осумдесет и четири.
19. А вратари: Акув, Теламин и браката нивни, стражари при портите - сто и седумдесет и двајца.
20. Другите Израилци, свештениците и левитите, живееја по сите градови на Јудеја, секој во својот дел.
21. А Нетинејците живееја во Офел: над Нетинејците беа Сијај и Гесф.
22. Началник на левитите во Ерусалим беше Озиј, син Ваниин, син Савиев, син Матаниев, син Михаев од синовите Асафови, кои беа певци при службата на Божјиот дом;
23. зашто од царот имаше за нив посебна заповед, и беше одредена плата за певците за секој ден одредена.
24. И Фетеја, син Масиозавилов, од синовите на Зара, Јудин син, беше заменик на царот за сите работи, што се однесуваа на народот.
25. Од оние, пак, што беа по селата, на нивите свои, некои од Јудините синови живееја во Киријат-Арба и во нејзи потчинетите градови, во Диван и во потчинетите му градови, во Јекавсеил и во селата негови,
26. во Јесуја, во Молада и во Ветфалад,
27. во Асерсал, во Вирсавија и во градовите, нејзе потчинети,
28. во Секелаг, во Макне, и во нему потчинетите градови,

29. во Ремаон, во Сара и во Јеримут,
30. во Заиној, Одолам и селата нивни, во Лахис и полињата негови, во Азик и во потчинетите му градови; тие се беа сместиле од Вирсавија дури до Емоновата долина.
31. Синовите Венијаминови - почнувајќи од Гева, во Махмас до Ветил и во сите села негови,
32. во Анатот, Нов, Аниија,
33. Асор, Рама, Гетаим,
34. Адод, Севоим, Навалат,
35. Лида, Оно и во долината Сногијарасим.
36. Во деловите на Јуда и Венијамина свои населби имаа и левитите.

Глава 12

1. Еве ги свештениците и левитите, што дојдоа со Зоровавела, синот Салатиилев, и со Исуса: Сараија, Јеремија, Ездра.
2. Амарија, Малух, Атуј,
3. Сеханија, Реум, Маримот,
4. Адија, Ренатон, Авија,
5. Мијамин, Мадија, Велга,
6. Семија, Јомарса, Идија,
7. Салуј, Амук, Хелкија, Одуија. Тоа се начланиците на свештениците и браката нивни во дните на Исуса.
8. А левитите: Исус, Матанија, главен при славословијата, тој и браката негови,
9. и Раквакија и Анај, нивни брака, кои заедно со нив чуваа стража.
10. Исус го роди Јоакима, Јоаким го роди Елијасива, Елијасив го роди Јодаја,
11. Јодај го роди Јонатана, Јонатан го роди Адуја.
12. Во дните на Јоакима беа свештеници и старешини: од Сераиевиот дом - Мераија, од Јеремиевиот дом Ананија,
13. од Ездровиот дом - Месулам, од Амариевиот дом - Јонатан,
14. од Мелихуевиот дом - Јонатан, од Саваниевиот дом - Јосиф,
15. од Херимовиот дом - Адна, од Merajотовиот дом - Елкај,
16. од Идовиот дом - Захарија, до Гинетовиот дом - Месулам,
17. од Авиевиот дом - Зехрија, од Мијаминовиот дом и Моадаевиот дом - Фелетиј,
18. ов Валгасовиот дом - самуеј, од Семиевиот дом - Јонатан,
19. од Јоаривовиот дом - Матанај, од Едиевиот дом - Озиј,
20. до Салаивиот дом - Калај, до Амаковиот дом - Авед,
21. од Еликиевиот дом - Асавија, од Једиевиот дом - Натанаил.
22. Левитите, старешините, беа запишани во списокот во дните на Елијасива, Јојада, Јоа, и Јоанана, и исто така и свештениците за царувањето на Дарија персиски.
23. Синовите Левиеви, племенските старешини се запишани во летописот до дните на Јоханана, Елијасивовиот син.
24. Началници на левитете беа: Асавија, Саравија, и Исус, Кадмиловиот син, и браката нивни, при нив поставени за славословие при благодаренијата, според наредбата на Давида, Божји човек, смена по смена.
25. Матанија, Ваквакија, Авдија, Месулам, Телмон, и Акув беа вратари, кои чуваа стража при вратните прагови.
26. Тие беа во дните на Јоакима, синот на Исуса, Јоседеков син, и во дните на Неемија и на свештеникот Ездра, книжник.
27. Кога требаше да се осветуваат ерусалимските ѕидови, ги повикаа левитете од сите места, и им заповедаа да дојдат во Ерусалим, за да се изврши осветувањето и радосното празнување во славословија и песни, при звукот на кимвали, псалтири и гусли.
28. Се собраа синовите на певците од Ерусалимскиот округ и од селата Нетофатски,
29. и од - Галгал, и од полињата Гевски и Азмаветски, зашто певците си беа изградиле села во околината на Ерусалим.
30. И се очистија свештениците и левитите, го очистија и народот и портите и ѕидовите.
31. Тогаш ги изведов на ѕидот јудејските началници и поставив два големи збора певци, и едниот од нив одеше десно по ѕидот кон Гноишните порти.
32. По нив одеше Осија и половината јудејски началници:
33. Азарија, Ездра, Месулам,
34. Јуда, Венијамин, Семаија и Јеремија;
35. а од синовите свештенички со труби: Захарија, син на Јонатана, син на Семаија, син на Матанија, син на Михеја, син на Закхура, Асафов син,

36. и браката негови: Самаија, Озиил, Гелол, Маја, Натанаил, Јуда и Ананиј со свирките на
Давида, Божјиот човек, и книжникот Ездра пред нив.
37. До Изворните Порти, спроти нив, тие излегоа по степеништата на Давидовиот град, по
скалите, што водеа кон ѕидот над Давидовиот дом, до Водните Порти на исток.
38. Другиот збор врвеше наспроти нив, а по него јас и половината од народот, по ѕидот од
Кулата кај печката до широкиот ѕид,
39. и од Ефремовите Порти, покрај старите порти и Рибните Порти и кулата Анамеилова, и
кулата Емат, кон Овчите Порти, и застанавме при Затворските Порти.
40. Потоа и обата збора застанаа пред Божјиот дом, а и јас и половина начланици со мене,
41. и свештениците: Елијаким, Масеја, Минијамин, Михеј, Елиоенај, Захарија и Ананија со
трубите,
42. Масија, Семаија, Елеазар, Озиј, Јоханан, Мелхија, Елеамиј и Језур. А певците пееја високо;
водач им беше Језрија.
43. Во тој ден се принесоа големи жртви и се веселеа, зашто Бог им беше дал голема радост.
Се радуваа и жените, и децата и веселбата ерусалимска се слушаше надалеку.
44. Во истиот ден беа поставени лу е над одделите за приноси од првините и десетоците, за
да собираат од нивите при градовите делови, поределени со Законот за свештениците и
левитите, зашто на Јудејците им беше драго да ги гледаат свештениците и левитите кои
стоеја,
45. и вршеа служба на својот Бог и работите околу очистувањето и беа певци и вратари,
според наредбата на Давида и синот негов Соломона.
46. Оти уште одамна, во дните на Давида и Асафа, беа установени главни певци, како и песна
за Бога, пофални и благодарствени.
47. Сите Израилци во дните на Зоровавела и во дните на Неемија им даваа делови на певците
и на вратарите како храна за секој ден, и им даваа посветена на левитите, а левитите им
даваа посветена на Ароновите синови.

Глава 13

1. Тој дена читаа од Мојсеевата книга гласно пред народот и најдоа напишано вака: Амонитец и Моавец на смеат да влегуваат во Божјото општество дури до века.
2. Зашто тие не ги пресретнаа синовите на Израилот со леб и вода, а го најмија против него Валаама, за да го проколне; но Бог наш ја претвори клетвата во благослов.
3. Кога го слушнаа тој закон, тие ги одделија од Израилот се она што беше од друго племе.
4. А пред тоа свештеникот Елијасив, поставен над одделите при домот на нашиот Бог, близок роднина на Товија,
5. одреди за него една голема соба, во која пред тоа ставаа лебен принос, ливан и садови, и десеток од житото, виното и елејот, определени со закон за левитите, певците и вратарите, и приносите за свештениците.
6. Кога се случуваше сето тоа, јас не бев во Ерусалим, зашто во текот на триесет и втората година на вавилонскиот цар Артаксеркс бев кај царот и по неколку дена пак се измолив од царот
7. Кога дојдов во Ерусалим и дознав за злото, што го беше направил Елијасив, определувајќи за Товија соба во дворот на Божјиот дом,
8. ми стана многу непријатно, и јас ја исфрлив сета покукнина на Товија надвор од собата,
9. и реков да ја исчистат собата и порачав пак да ги внесат таму садовите на Божјиот дом, лебниот принос и ливанот.
10. Дознав уште, дека на левитите не им биде давани деловите, и дека левитите и певците, што ја вршеа службата своја, се разбегале секој на нивата своја.
11. Јас ги искарав за тоа началниците и реков: 'Зошто го напуштивме Божјиот дом?' И јас ги собрав и ги поставив по местата нивни.
12. И сите Јудејци почнаа одново да принесуваат десеток од житото, виното и зејтинот во одделите.
13. И ги поставив како настојници Селемија, и книжникот Садока, и Федаија од левитите, а при нив и Анана, синот Закхуров, син Матаниев, зашто се сметаа за верни. И таму беше наложено да раздаваат делови на браката свои.
14. Спомни ме, Боже мој, за тоа, и не ги бриши сесрдните работи мои, што ги напрвив за домот на мојот Бог и за службата при него!
15. Во тие дни видов во Јудеја, дека во сабота гмечат грозје, возат снопја и товараат осли со вино, грозје, смокви и секаков товар и го носат во саботен ден во Ерусалим. И јас ги искарав строго во истиот ден, кога ја продаваа таа храна.
16. И Тирци живееја во Јудеја и довезуваа риба и секаква стока и ја продаваа во сабота на јудејските жители и во Ерусалим.
17. Јас ги искарав првенците Јудејски и им реков: 'Зошто вршите такво зло и го осквернувате саботниот ден?
18. Така правеа татковците ваши, та затоа Бог наш ги испрати врз нас и врз овој град сето тоа зло? А вие го зголемувате гневот Негов против Израилот, осквернувајќи ја саботата.'
19. Потоа, штом ќе зајдеше сонцето зад ерусалимските порти, спроти сабота, заповедав да ги затворат вратите и порачував да не ги отвораат до утредента по сабота. А при портите ги поставија своите слуги, и никаков товар да не премине во саботен ден.
20. Така трговците и продавачите на секаква стока ноќеваа еднаш и двапати надвор од Ерусалим.
21. Но јас ги скарав строго и им реков: 'Зошто ноќевате до ѕидот? Ако го сторите тоа уште еднаш, ќе ставам рака на вас.' Оттогаш тие не доа аат во сабота.
22. И им реков на левитите, да се очистат и да дојдат да чуваат стража при портите, за да го светат саботниот ден. Спомни ме и за тоа, Боже мој, и поштеди ме по големата Своја милост!
23. Во тие денови видов уште Јудејци, што си беа зеле жени азотки, амонитки и моавки;
24. и затоа синовите нивни зборуваа полу азотски, или според јазикот на другите народи, а по

јудејски не знаеја да говорат.
25. Јас ги искарав за тоа и ги проколнував, а неко мажи дури и ги тепав, косата им ја кубев и ги заколнував во Бога да не ги даваат керките свои за синовите нивни и да не ги земаат керките нивни за синовите свои и за себеси.
26. Нели поради тоа, си зборував, грешел и Соломон, царот Израилев? Во многу народи немало таков цар како него. Тој беше љубимец на својот Бог, и Бог го постави за цар над сите Израилци; но, пак, другоземни жени го натераа во грев и него.
27. И можно ли ни е да слушаме за вас, дека го вршите сето тоа големо зло, бидејки грешите пред нашиот Бог, земајки другоземни жени?
28. Еден од синовите на Јоада, син на големиот свештеник Елијасив, беше зет на Санвалата Уротинат, Јас го изгонив од себеси.
29. Спомни им, Боже мој, дека тие го осквернија свештенството и заветот свештенички и левитски!
30. Така го очистив од се другоземно и ги установив службите на свештениците и левитите, на секого во неговата работа,
31. и довозот на дрва во определено време и првините. Спомни ме, Боже мој, за мое добро!

# Естира

Глава 1

1. Потоа во дните на Артаксеркса, - тој Артаксеркс царуваше над сто и дваесет и седум области до Индија до Етиопија, -
2. во тоа време, кога царот Артаксеркс седеше на својот царски престол, што е во престолнината Суза,
3. во третата година на своето царување, тој приреди гозба за сите свои кнезови и слуги, за главните војводи на персиската и индиската војска и на своите обласни управници,
4. покажувајки многу денови, сто и осумдесет дена, големо богатство на царството свое и голем сјај на свето величие.
5. Откако завршија тие денови, царот приреди за народот свој, кој се нао аше во Суза, за мало и големо, седумдневна гозба во градскиот дом на царскиот дворец.
6. Бели памучни и со сина боја волнени пердиња, прицврстени со ленени и пурпурни врвци, висеа на сребрени алки и мермерни столбови.
7. Имаше златни и сребрени легла на плочникот, послани со зелен, бел, жолт и црвен мермер.
8. Јадењата се служеа во златни садови и садови разнообразни, по цена од триесет иљади таланти; и царското вино беше изобилно, според богатството на царот. Пиењето беше слободно: никој не прислуваше, бидејки царот им беше заповедал на сите свои управници на домот, да постапуваат според вољата на секој.
9. И царицата Астин исто така приреди гозба за жените во царскиот дом на царот Артаксеркс.
10. На седмиот ден, кога срцето на царот се развесели од виното, тој им рече на Амана, Вазана, Дареја, Вараза, Затолтана, Аватаза и Дарава - седум евнуси, што служеа пред царот Артаксеркс,
11. да ја доведат царицата Астин пред царевото лице со царски венец, за да им ја покаже најзината убавина на народите и на кнезовите, зашто таа беше многу убава.
12. Но царицата Астин не сакаше да дојде според царевата наредба, соопштена преку евнусите.
13. Царот многу се разгневи, и јароста пламна во него. И им рече царот на мудреците, кои ги познаваа поранешните времиња, - зашто царските дела се вршеа пред сите, што знаеја закон и правда,
14. а негови најблиски тогаш беа: Аркесеј, Сареотеј, и Малисеар, персиски и мидиски кнезови, кои седеа до царот на прво место:
15. 'Како да постапиме според законот со царицата Астин, поради тоа што не го исполни зборот на царот Артаксеркс, соопштен преку дворјаните.'
16. Тогаш рече Мухеј пред лицето на царот и на кнезовите: 'Не само пред царот е виновна царицата Астин, туку и пред сите кнезови и началници царски;
17. зашто за постапките на царицата ке дознаат сите жени и ке почнат да ги запоставуваат мажите свои и да говорат: ‘царот Артаксеркс заповедал да ја доведат пред него царицата Астин, но таа не отишла.‘
18. Сега персиските и мидиските кнегињи, што ке чујат за постапката на царицата, ке им го кажат тоа на сите царски кнезови; и ке има горделивост, а и големи караници.
19. Ако му е на царот угодно, нека издаде царска заповед, што ке се запише во персиските и мидиските закони и да не се менува, дека Астин нема да излегува веке пред лицето на царот Артаксеркс, а нејзиното царско достоинство царот да го предаде на друга, подобра од неа.
20. Кога ке чујат за таа царска заповед, која ке се разнесе по целото негово царство, колку и да е големо, сите жени ке ги почитуваат мажите свои, од најголем до најмал.'
21. Тие зборови му се допаднаа на царот и на кнезовите: и царот постапи според зборовите на Мухеја;
22. па испрати до сите царски области писма, напишани за секоја област со писмото нејзино и на секој народ на јазикот негов: секој маж да биде господар на домот свој, и тоа да му се објави на секого на неговиот роден јазик.

Глава 2

1. Откако стивна гневот на царот Артаксеркс, тој се сети на Астин и на она, што го направи таа и за решението за неа.
2. И рекоа царевите слуги, кои му служеа: 'Да се побараат за царот млади и убави девојки,
3. а царот да определи во сите области на царството пратеници, што ке ги соберат сите млади и убави на изглед девојки во престолнината Суза, во женскиот дом под надзор на царскиот евнух Хигеј, чувар на жените, и да им дадат се што е потребно за дотерување.
4. И која девојка ке му се свиди да царот, таа да стане царица место Астин. Му се допаднаа на царот тие зборови, и тој постапи така.
5. Имаше во престолнината Суза еден Јудеец, по име Мардохеј, син на Јаира, син на Семеја, син Кисеев, од Венијаминовото племе.
6. Тој беше преселен од Ерусалим со плениците, изведени заедно со јудејскиот цар Јехониј, што го беше преселил вавилонскиот цар Навуходоносор.
7. Тој ја воспитуваше Адаса - а таа е Естир - керка на чичко му, бидејки таа немаше ни татко ми мајка. Таа девојка имаше тенка става и убаво лице, а по смртта на татко и, Мардохеј ја прибра при себеси место керка.
8. Кога беше објавена заповедта на царот и указот негов, и откога беа собрани многу девојки во престолнината Суза под надзор на Хигеја, тогаш беше земена и Естира во царскиот дом под надзор на Хигеја, чуварот на жените.
9. Таа девојка му се свиде и ја задоби неговата наклоност, и тој побрза да и даде масла и се, што и припа а, и да и определи седум достојни девојки да бидат при неа, во царскиот дом, па ја премести неа и девојките незини во најубавото одделение на женскиот дом.
10. Естира не го кажуваше ни народот свој, ни потеклото свое, бидејки Мардохеј и беше заповедал да не кажува.
11. И секој ден Мардохеј доа аше во дворот на женскиот дом, за да дознае за дравјето на Естира и што станува со неа.
12. Кога доа аше времето на секоја девојка да влезе при царот Артаксеркс, откако дванаесет месеци по ред беше извршувано над неа се, определено за жените, - зашто за толку време продолжуваа дните на дотерувањето нивно: шест месеци со смирново масло и шест месеци со благопријатни мириси и со други женски работи -
13. дури тогаш девојката влегуваше при царот. И што и да побараше таа, ке и дадеа и со тоа одеше од женскиот дом во домот на царот.
14. Вечерта таа влегуваше и утредента се вракаше во друг женски дом под надзор на царскиот чувар на наложниците; и веке не влегуваше при царот, - освен ако царот ја побараше, и ке ја повикаа по име.
15. Кога дојде време за Естира, керка на Аминадава, чичко Марохеев, кој ја беше прибрал при себеси место керка, - да оди при царот, таа не побара ништо, освен она, што и го кажа царскиот дворјанин Хигеј, чувар на жените. И Естира им се свиде на сите што ја видоа.
16. И беше земена Естира при царот Артаксеркс, во неговиот царски дом, во десеттиот месец, односно во месецот Тевет, во седмата година на царувањето негово.
17. Царот ја засака Естира повеке од сите жени, и таа ја доби неговата благонаклоност и љубов повеке од сите девојки; тој и стави на главата царски венец и ја постави за царица место Астин.
18. И царот им приреди голема гозба на сите свои кнезови и слуги при него, - гоштевање поради Естира и им даде олеснувања на областите и раздаде подароци со царска штедрост.
19. И кога вториот пат беа собрани девојките, и Мардохеј седеше при царската врата,
20. Естира се уште не говореше за своето потекло и за народот свој, според она како што и беше заповедал Мардохеј; и зборот на Мардохеја го исполнуваше и сега така, како и кога беше при него на воспитување.
21. Во тоа време, кога Мардохеј седеше пред царската порта, двајцата царски дворјани Гавата

и Тара, кои го чуваа прагот, се озлобија поради тоа што беше претпочитан Мардохеј, па размислуваа како да стават рака врз царот Артаксеркс.
22. Кога дозна за тоа, Мардохеј и соопшти на царицата Естира, а Естира му кажа на царот од името на Мардохеја.
23. Работата беше испитана и се утврди дека е тоа вистина, и тие двајцата беа обесени на дрво. И тоа се запиша во книгата на летописот царски.

Глава 3

1. Потоа царот Артаксеркс го возвеличи Вугеецот Аман, син Амадатов, го воздигна и го постави престолот негов погоре од престолите на сите свои кнезови;
2. и сите слуги на царот, при царската порта се поклонуваа и па аа ничкум пред Амана, бидејки така беше заповедал царот. Но Мардохеј не му се поклонуваше и не па аше на колена.
3. И му говореа на Mародхеја царевите слуги при царската порта: 'Зошто ја кршиш царевата заповед?'
4. Но иако му говореа така секој ден, тој сепак не ги слушаше. Тогаш му јавија на Амана, да видат ке остане ли при зборот свој Мардохеј, бидејки им беше рекол дека е Јудеец.
5. Откако виде Аман, дека Мардохеј не се поклонува и не па а ничкум пред него, се исполни со гнев.
6. Но тој помисли дека не е добро да става рака само на Мардохеја; но бидејки му рекоа, од кој народ е Мардохеј, Аман намисли да ги истреби сите Јудејци во целото Артаксерксово царство, како народ Мардохеев.
7. Па свика совет во првиот месец, што е месец Нисан, во дванаесеттата година на царот Артаксеркс, и фрлаа жреб пред Амана од ден на ден и од месец на месец, и падна жребот во еден ден да го погубат Мардохеевиот народ на дванаесеттиот месец, односно во месецот Адар.
8. И Аман му рече на царот Артаксеркс: 'Има еден народ, распрснат ме у народите по сите краишта на твоето царство; законите нивни се разликуваат од законите на сите народи, и царските закони тие не ги исполнуваат; па не треба царот така и да ги остави.
9. Ако му е на царот угодно, нека заповеда да бидат истребени, и десет иљади таланти сребро ке измерам во рацете на распоредниците, за да ги внесат во царската ризница.'
10. Тогаш царот го извади од раката прстенот свој и му го даде на Вугеецот Амана, синот Амадатов, за да ја потпечати повелбата против Јудејците.
11. И му рече царот на Амана: 'Ти го предавам тебе тоа сребро и народот; прави со нив, што сакаш.'
12. И беа свикани царските писари во првиот месец, во тринаесеттиот ден негов, и беше напишано, како што заповеда Аман, до царските наместници на секоја област, од Индиската област до Етиопија, над сто и дваесет и седум области, до кнезовите на секој народ, - на секоја област со нејзиното писмо, и до секој народ на јазикот негов: се беше напишано од името на царот Артаксеркс и потпечатено со царкиот прстен.
13. И беа распратени писма преку брзоодци до сите царски области, за да бидат убиени, погубени и истребени сите Јудејци, мали и големи, деца и жени, во еден ден, во тринаесеттиот дена на дванаесеттиот месец, односно, месец Адар, и имотот нивни да биде разграбен. Еве препис од тоа писмо: 'Големиот цар Артаксеркс - до наместниците од Индија до Етиопија, над сто и дваесет и седум области и до потчинетите им началници. Царувајки над многу народи и владеејки над целата вселена, јас сакав, - да не се гордеам со власта, да управувам секогаш кротко и мирно, да ги направам животот на поданиците постојано спокоен и, зажувавајки го царството свое мирно и слободно во пределите негови, да го востановам саканиот за сите лу е мир. Но кога ги запрашав советниците, на кој начин да го направам тоа, тогаш оној, кој кај нас се одликува со мудрост и се користи со неизменливо благовление и кој што докажа цврста верност и доби втора по царот чест, Аман, ни објасни, дека ме у сите племиња на вселената се вовлекол еден непријателски народ, којшто поради законите свои е намразен од сите народи и којшто постојано не ги почитува царските заповеди, за да не се благуустрои беспрекорно раководеното од нас управување. И така, кога дознав, дека само тој народ секогаш му се противставува на секој човек оти води живот, ту на законите, и, притивејки се на нашите распоредби, извршува најголеми злосторства, така што нашето царство да на ја достигне благосостојбата, ние заповедавме посочените ви писма на Амана, поставен над робовите и втор наш татко, сите со жените и децата исцело да бидат истребени со непријателски меч, беа

секакво сожалување и поштедување, во тринаесеттиот ден на дванаесеттиот месец Адар оваа година, и тие и порано и сега непријателски лу е, бидејки беа во еден ден беа насилно соборени во пеколот, да не ни пречат отсега натаму да живееме мирно и спокојно до крај.'
14. Препис од писмото да се испрати до секоја област, како закон, којшто им се објавува на сите народи, за да бидат готови за оној ден.
15. Брзоодците тргнаа брзо со царската заповед. Повелбата беше објавена и во престолнината Суза: и царот и Аман седеа и пиеја, а градот Суза беше вознемирен и во смут.

Глава 4

1. Кога Мардохеј дозна за се што се вршеше, ја раскина облеката, стави врз себе врекиште и пепел, излезе среде градот и викаше силно и со горчливост: 'Се истребува народ во ништо необвинет.'
2. И дојде до царската порта и запре, бидејки не можеше да влезе со врекиште и со пепел.
3. Исто така и во секоја област и место, каде и да пристигнеше заповедта на царот и повелбата негова, настануваше голема тага кај Јудејците и пост и плачење и викање; врекиштата и попелта им служеа како постале на мнозина.
4. Дојдоа слугинките и дворјаните на Естира и и раскажаа се; царицата силно се возбуди. Таа испрати облека, да го преоблечат Мардохеја и да го симне од себе врекиштето. Но тој не ги прими.
5. Тогаш Естира го повика Атаха, еден од евнусите на царот, кого тој го беше одредил при неа, и ги испрати кај Мардохеја да дознае: што значи тоа и зашто е?
6. Атах отиде кај Мардохеја на градскиот плоштад, што беше пред царската порта.
7. Мардохеј му раскажа за се, што се беше случило со него, и за определеното количество сребро, што Аман го беше ветил да го одмери во царската ризница, за да бидат истребени Јудејците;
8. и му врачи препис од повелбата, објавена во Суза, за истребувањето нивно, за да и ја покаже на Естира, та таа да дознае за се; притоа и порача да отиде при царот и да му се моли за својот народ, спомнувајки ги дните на својата сиромаштија, кога таа се воспитуваше под моја рака - зашто Аман, втор до царот, не осуди на смрт - и да Го повика Господа и да му каже за нас на царот, да не избави од смртта.
9. Атах дојде и и ги предаде на Естира Мардохеевите зборови.
10. И му рече Естира на Атаха, испракајки го, да му каже на Мардохеја:
11. 'Сите слуги при царот и народите во царските области знаат, дека секој, бил тој маж или жена, што ке влезе при царот од внатрешниот двор, а да не е повикан, го очекува еден суд - смрт; само оној, кон кого царот ке го пружи својот златен жезал, останува жив. А јас не сум повикана при царот еве веке триесет дена.'
12. И му ги предадоа на Мардохеја зборовите на Естира.
13. Мардохеј во одговор и рече на Естира: 'Не мисли, дека ти единствена од сите Јудејци ке се спасиш во царскиот дом.
14. Аки ти премолчиш во ова време, тоа слободата и спасението на Јудејците ке дојде од друго место, а ти и домот на таткото твој ке загинете. И кој знае, дали токму за вакво време не си достигнала царско достоинство?'
15. А Естира му одговори на Мардохеја, велејки:
16. 'Оди, собери ги сите Јудејци, што се нао аат во Суза, и постете за мене, и не јадете, ниту пијте три дена, ни дење ни ноке, и јас со слугите свои исто така ке постам и потоа ке одам при царот, иако е тоа и против законот, па ако загинам - нека загинам.'
17. Тогаш отиде Мардохеј и направи, како што му порача Естира. Вака Му се молеше тој на Господа, спомнувајки си за сите Господови дела и велеше: 'Господи, Господи, Царе Седржителу! Сите се во Твоја власт и нема, кој да Ти се противи, кога ке посакаш да го спасиш Израилот: Ти си ги создал небото и земјата, и се што е чудно под небото; Ти си Господ на сите, и нема таков кој би се противел на Тебе, на Господа. Ти знаеш се; Ти знаеш Господи, дека не поради навреда и не поради гордост, не поради слава јас го вршев тоа, што не му се поклонував на горделивиот Аман, зашто јас доброволно би му ги бакнувал стапките на нозете негови за спасение на Израилот; но јас го правев тоа, за да не му воздадам на човек слава поголема од Божјата слава и да не му се поклонувам никому, освен на Тебе, мојот Господ; јас не го правам ова од гордост. И сега, Господи, Боже, Царе, Боже Авраамов, пoштеди го Твојот народ; зашто ни кројат гибел и сакаат да го истребат Твоето исконско наследство; не презри го Твоето достоинство, кое Ти го избави за Себеси од Египетската земја; чуј ја мојата молитва и

смилостиви се над Твоето наследство и претвори ја тагата наша во веселба, та, така живеејки, да Го воспеваме Твоето име, Господи. Не ги погубувај устите, кои Те прославуваат, Господи!' - и сите Изразилци викаа со сета сила, зашто нивната смрт беше пред очите нивни. И царицата Естира се оддаде на Господа, обземена од смртна горчина, и, откако ја соблече облеката на славата своја, облече облека за жал и тага и, место со скапоцени масла, ја посипа со пепел и прав главата своја и многу многу го истошти телото свое, и секое место, украсувано во веселите нејзини дни, го покри со распуштената своја коса, Му се молеше на Господа, Бога Израилев, велејки: 'Господи мој! Ти единсетвен си наш Цар; помогни ми мене, која сум сама и немам помошник, освен Тебе! Зашто мојата невоља е близу до мене. Сум слушала, Господи, од таткото мој во моето родно колено, дека Ти, Господи, Си го избрал Израилот од сите народи, и нашите татковци - од сите нивни прадедовци, за вечни наследници, и си го извршил за нив она, за кое си им говорел. Сега ние згрешивме пред Тебе, и Ти не предаде во рацете на нашите непријатели, затоа што ги славевме нивните богови: праведен си Ти, Господи! Но сега тие не се задоволија со нашето горчливо ропство, туку ги ставија рацете свои во рацете на своите идоли, за да ја уништат заповедта на Твојата уста, да ги истребат Твоите наследници, да им ја затнат устата на оние, кои Те воспеваат, за да ја угаснат славата на Твојот храм и на Твојот жртвеник, да им ја отворат устата на народите за прославување на лажните богови, и плотскиот цар да се велича довека. Не предавај го Господи, Твојот жезал на непосточки богови, и нека не се радуваат на нашето па ање, а сврти ја намерата нивна врз нив самите, и клеветникот против нас - предај го на срам! Спомни си, Господи, јави ни се нам во времето на жалоста наша и дај ми машкост. Царе над боговите и Владико на секое началство, подари и на устата моја благопријатен збор пред тој лав и исполни го срцето негово со омраза кон оној, што не прогонува, за гибел негова и на неговите истомисленици; нас, пак, избави не преку Твојата рака и помогни ми мене, која сум сама и нема помошник, освен Тебе, Господи! Ти се знаеш, Ти знаеш дека ја мразам славата на беззакониците и се гнасам од леглото на необрезаните и од секој другоплемени; Ти знаеш дека јас сум принудена да се гнасам од знакот на мојата гордост, кој стои на главата моја, кога се појавувам, - се гнасам од него како од облека, извалкана со крв, и не го носам во дните што ми припа аа само мене. И Твојата слугинка не вкусила од трпезата на Амана и не ги цени многу царските гозби, не пие идоложртвено вино и не се весели Твојата слугинка од денот, откога се измени мојата судбина до денес, освен за Тебе, Господи, Боже Авраамов, Боже, Кој имаш сила над сите, чуј го гласот на безнадежните и спаси не од рацете на оние, што којат зло, и спаси ме од мојот сТвоет

Глава 5

1. На третиот ден Естира, откако престана да се моли, ја соблече облеката на жалоста, се облече по царски, па откако се накити, Го повика Севидецот Бог и Спасителот, зеде две слугинки, и на едната се потпираше, како да се галеше, а другата одеше по неа и и ја придржуваше облеката нејзина. Таа беше прекрасна во цутот на убавината своја, а лицето и беше радосно, како да беше исполнето со љубов, но срцето и беше свиткано од страв. Таа застана пред внатрешниот двор на царскиот дом, пред домот на царот. А царот тогаш саедеше на својот царски престол во царскиот дом, токму спроти влезот на домот, облечен во полната облека на своето величие, целиот во злато и скапоцени камења, и беше многу страшен. Кога царот виде дека царицата Естира стои во дворот, таа најде милост во очите негови. Кога го сврте лицето свое, светнато од слава, тој погледна силно разгневен; и царицата падна духом, го измени лицето од премалување и се потпре врз главата на слугинката, што ја придржуваше. И Бог го измени духот на царот во кроткост, тој брзо стана од престолот свој и ја зеде во прегратките свои, додека таа да се соземе. Потоа тој ја утеши со умилни збориви и и рече: 'Што ти е, Естира? Јас сум твој брат! Закрепи се нема да умреш, зашто нашата одредба е за обичните лу е; дојди!'
2. И царот го подаде кон Естира златниот жезал, што беше во раката негова. Естира се приближи и го допре крајот на жезалот, а царот го стави жезалот на нејзиниот врат, ја бакна и рече: 'Говори.' Таа му рече: 'Јас видов во тебе, господару, како ангел Божји, па срцето мое се вознемири од страв пред твојата слава, зашто ти си прекрасен, господару, и лицето твое е исполнето со убавина.' - Но додека говореше, таа падна од премаленост; царот се вознемири, и сите слуги негови ја храбреа.
3. Тогаш царот и рече: 'Што ти е, царице Естира? Која е твојата молба? Дури и половината од царството ке ти биде дадно.'
4. Тогаш Естира рече: 'Денес имам празник. Ако му е на царот угодно, нека дојде царот со Амана на гозба, што сум му ја приготвила.'
5. А царот рече: 'Одете поскоро по Амана, за да стане според зборовите на Естира.' И дојде царот со Амана на гозбата, што ја беше приготвила Естира.
6. И кога царот сакаше да пие вино, ја праша Естира: 'Која ти е желбата? Таа ке биде исполнета. И каква е твојата молба? Макар да бараш и половина царство, тоа ке ти биде дадено.'
7. Одговори Естира и рече: 'Еве ја мојата желба и мојата молба:
8. ‚Ако сум нашла милост во очите на царот и ако на царот му е угодно да ја удоволи желбата моја и да ја исполни молбата моја, тогаш нека дојде царот со Амана на гозба, што ке ја приготвам за нив и утре, па ке постапам според царскиот збор.‘'
9. Тој ден Аман излезе весел и расположен. Но кога Аман го виде Мардохеја при царската порта, и тој не стана и не се помести од местото пред него, Аман се исполни со гнев против Мардохеја.
10. Но Аман сепак се воздржа. А кога дојде во домот свој, испрати да ги повика пријателите свои и жената своја Сереса.
11. Аман им раскажа за големото свое богатство, за многуте свои синови и за се она, како царот го возвеличил и како го воздигнал над кнезовите и слугите царски.
12. И рече Аман: 'Па и царицата Естира никого не повика со царот на гозбата, што ја беше приготвила, освен мене; така и утре сум поканет при неа со царот.
13. Но сето тоа не ме задоволува додека го гледам Јудеецот供Мародхеја да седи пред царската порта.'
14. И му рече жената негова Сереса, и сите негов и пријатели: 'Нека приготват весилка, висока педесет лакти, и утре кажи му на царот да го обеси Мардохеја на неа, и тогаш оди весело на гозбата со царот.' Му се допаднаа на Амана тие зборови, и тој нареди бесилката да биде направена.

Глава 6

1. Преку нокта Господ не му даде сон на царот. Затоа му заповеда на слугата да ја донесе книгата за дневните белешки; и ги читаа пред царот;
2. и се најде запишано таму, дека Мардохеј беше соопштил за двајцата царски слуги Гават и Тара, кои го чуваа прагот и правеа план да става рака врз царот Артаксеркс.
3. Царот запраша: 'Каква чест и какво одликување му е дадено на Мардохеја за тоа?' Царевите дворјани, што му читаа одговорија: 'Ништо не му е направено.'
4. Кога царот се распрашуваше за Мардохеевото добро дело, дојде во дворот Аман, и праша царот: 'Кој е во дворот?' Аман, пак, тогаш беше дошол во надворешниот двор на царот, за да го обесат Мардохеја на бесилката што ја беше приготвил за него.
5. Дворјаните му одговорија на царот: 'Ете, Аман стои во дворот.' Царот рече: 'Нека влезе.'
6. И Аман влезе. Царот го праша: 'Што да му направам на таков човек кого сакам да го одликувам со почести?' Аман си помисли во срцето: кого друг би посакал царот да го одликува, освен мене?
7. И Аман одговори: 'На таков човек, кого царот сака да го одликува со почести,
8. нека му донесат царска облека, со која царот се облекува, и да го доведат коњот, на кој царот јава, да му постават царски венец на главата негова,
9. и нека облеката и коњот, во рацете на еден од првите царски кнезови, да го облечат човекот, кого царот сака да го одликува, да го изведат на коњ на градскиот плоштад и да огласат пред него: Вака му се прави на оној човек, кого царот сака да го одликува со почести!'
10. Тогаш царот му рече на Амана: 'Добро рече; веднаш земи ја облеката и коњот, како што рече, и направи му го тоа на Јудеецот Мардохеја, кој седи пред царската порта; ништо да не пропуштиш од тоа, што го кажа.'
11. Ги зеде Аман облеката и коњот, го облече Мардохеја, го изведе на коњ на градскиот плоштад и објави пред него: 'Вака му се прави на човек, кого царот сака да го одликува со почести!'
12. Мардохех се врати кај царската порта. Аман, пак, тргна во домот свој, натажен и со наведната глава.
13. И и раскажа Аман на жената своја Сереса, и на сите пријатели свои за се, што се случило со него. Тогаш мудреците негови и жената негова Сереса му рекоа: 'Ако Мардохеј, поради кого ти почна да па аш, е од јудејско племе, ти нема да го надвиеш, туку навистина ке паднеш пред него, бидејки со него е живиот Бог.'
14. Тие уште разговараа со него, и царските евнуси дојдоа и по поканија Амана да оди на гозбата, што ја беше приготвила Естира.

Глава 7

1. И дојде царот со Амана на гозбата кај царицата Естира.
2. Царот ја запраша Естира исто така и во тој втор ден за време гоштевањето: 'Која е твојата желба, царице Естира? Таа ке биде исполнета; и која е молбата твоја? Макар и за половина од царството, таа ке биде исполнета.'
3. Царицата Естира одговори и рече: 'Ако сум нашла милост во твоите очи, царе, и ако на царот му е угодно, нека ми бидат подарени мојот живот, по моја желба, и мојот народ, по моја молба!
4. Зашто јас и мојот народ сме продадени да бидеме истребени, убиени и загинати. Да бевме продадени како роботи и робинки, јас ке молчев, макар непријателот и да не ја надомести штетата на царот.'
5. Проговори царот Артаксеркс и ја праша царицата Естира: 'Кој е тој и каде е тој, кој се осмелил во своето срце да постапи така?'
6. Естира му одговори: 'Врагот и непријателот е овој злобен Аман!' И Аман затрепери пред царот и царицата.
7. И во гневот свој царот стана од гозбата и отиде во градината на дворецот; Аман, пак, остана да ја моли за животот свој царицата Естира, зашто виде дека до царот го чека зло.
8. Кога царот се врати од градината при дворецот во домот на гозбата, Аман се беше наведнал кон леглото, на кое седеше Естира. И царот рече: 'Сака дури и да ја обесчести царицата во куката моја!' Излезе зборот од устата на царот, - му го покрија лицето на Амана.
9. И рече Арвона, еден од царските слуги: 'Еве ја бесилката, што ја беше приготвил Аман за Мардохеја, кој говореше добро за царот, стои во домот на Амана, висока е педесет лакти.' И царот рече: 'Обесете го на неа!'
10. И го обесија Амана на весилката, што тој ја беше направил за Мардохеја. Тогаш гневот на царот стивна.

Глава 8

1. Во тој ден царот Артаксеркс и го даде на царицата Естира домот на Амана, непријателот на Јудејците; а Мардохеј влезе пред лицето на царот, зашто Естира беше соопштила што и е тој.
2. И царот го извади престенот свој, што го беше одзел од Амана, и му го даде на Мардохеја; а Естира го постави Мардохеја за надзорник на Амановиот дом.
3. И Естира говореше уште пред царот, падна пред нозете негови, плачеше и го молеше да ја измени злобата на Вугеецот Амана и плановите негови, што беше ги скроил против Јудејците.
4. Царот го подаде кон Естира златниот жезал; Естира стана и застана пред лицето на царот,
5. па му рече: 'Ако му е на царот угодно, ако сум нашла милсот пред неговото лице, а тоа дело биде справедливо пред лицето на царот, нека се напише, да се вратат писмата според замислата на Вугеецот Амана, син Амадатов, кој беше напишал за погубувањето на Јудејците во сите цареви области;
6. зашто, како би можела да ја гледам невољата, што ке го снајде мојот народ, и како би можела да го гледам загинувањето на моите сродници?'
7. Тогаш царот Артаксеркс им рече на царицата Естира и на Јудеецот Мардохеја: 'Еве, јас и го дадов на Естира домот на Амана, и самиот него го обесив на бесилка, поради тоа што беше кренал рака на Јудејците;
8. напишете и вие за Јудејците, она што ви е угодно, од името на царот и потпечатете го со царскиот прстен, зашто писмо, напишано од името на царот и потпечатено со царски прстен, не може да се измени.'
9. Веднаш беа повикани царските писари во третиот месец, односно, во месецот Сиван, на дваесет и третиот ден, и беше напишано се онака, како што заповеда Мардохеј, до Јудејците и до сатрапите, до обласните наместици, до управниците на областите од Индија до Етиопија - сто и дваесет и седум области на секоја област со нејзиното писмо и до секој народ на неговиот јазик и до Јудејците со нивните писма и на нивни јазик.
10. И беа напишани писма од името на царот Артаксеркс, ги потпечати со царкиот прстен и им ги испрати по брзоодци на коњи, на камили и на царски мулиња,
11. дека царот им довозлува на Јудејците, што се нао аат во секој град да се соберат и да го заштитат својот живот, да ги истребат, убијат и погубат сите силни во народот и во областа, кои постапуваат непријателски спрема нив, децата и жените, а имотот нивни да го разграбаат.
12. во еден ден по сите области на царот Артаксеркс, во тринаесеттиот ден на дванаесеттиот месец, односно, во месецот Адар. А еве го преписот на од таа повелба: 'Великиот цар Артаксеркс до началниците од Индија до Етиопија над сто и дваесет и седум области и до властите, наши доброжелатели, поздрав! Мнозина, по извонредната добрина на благодетелите, штедро наградувани со почести, прекумерно се возгордеаја и не само што сакаат да им причинуваат зло на нашите поданици, туку, неможејки да ја наситат гордоста, се обидуваат да коваат заговори против самите свои добротвори; не само што го губат чувството на човечка признателност, туку, китејки се со гордоста на безумните, престапно мислат да го одбегнат суднот на Бога, Кој секогаш се гледа. Но често и мнозина, бидејки се облечени со влат, за да ги уредуваат работите на пријателите што им ги довериле работите, со своето убедување ги прават виновници во пролевањето на невина крв и поттикнуваат на непоправливи зла, при што со вешто сплетени лаги ја измамуваат добрата намера на владетелите. Тоа може да се види не толку од древните истории, како што рековме, колку од делата, престапно извршувани пред вас со злобата на недостојни вршители на власта. Затоа, за во иднина треба да се погрижиме да уредиме во царството да има за сите лу е мир, да не допуштиме измени, но појавуваните дела да ги разгледуваме со нужна претпазливост. Така Аман Амадатов, Македонец, поправо ту на персиската крв и многу далеку од нашата благост, бидејки беше примен кај нас на гости, се здоби со благонаклоност, што ја имаме кон секој народ, дотолку, што беше прогласен за наш татко и почитуван од сите, при што претставуваше втор човек при царскиот престол; но, бидејки не ја скроти гордоста, замисли да

не лиши од власта и душата, а нашиот спасител и секогаш благодетел Мардохеј и непорочната соучесничка на царството Естира со сиот нивни народ се стремеше да ги погуби со разни сплетки. На тој начин тој мислеше да не остави без лу е, а персиската држава да им ја предаде на Македонците. Но ние нао аме, дека Јудејците, осудени од тој злосторник на истребување, не се злосторници, туку живеат според најправедните закони, како синови на Севишниот, живиот Бог, Кој ни го подари нам и на нашите прадедовци царството во најдобра состојба. Затоа ке направиме добро, да не ги исполниме писмата што Аман Амадатов ги испрати; зашто тој, што го изврши тоа е обесен со целиот дом свој при портата на Суза според вољата на Бога, Кој господари над се и Кој скоро му даде заслужен суд. А откако ке го изложите јавно на секое место преписот од оваа повелба, оставете ги Јудеците да се користат со своите закони и помагајте им, за да можат на оние, што ке се кренат против нив во времето на жалоста, да им се одмаздат на тринаесеттиот ден од дванаесеттиот месец Адар, во истото тој ден. Зашто, Бог, Кој владее над се, наместо гибел на избраниот род, им подготви таква радост. И вие, ме у видните празниви, празнувајте го и овој белжит ден со секаква веселба, та сега и после да се памети спасението за нас и за благорасположените кон нас Персите и за гибел на оние, што ни коваа заговори. Секој град или област воопшто, која нема да го исплни ова, ке биде безмилосно опустошена со меч и оган и ке стане не само невозможна за живеење на лу е, туку и одвратна за ѕверовите и птиците засекогаш.
13. Препис од таа повелба да се испрати до секоја област, како закон, облавен за сите народи, та Јудејците да бидат готови за тој ден да им се одмаздат на непријателите свои.'
14. Брзоодците, јавнати на брзи царски коњи, тргнаа скоро и брзаа со царката заповед. Повелбата беше објавена и во престолнината Суза.
15. Тогаш Мардохеј излезе од царот во царски сини и бели алишта, со голем златен венец и во ленена и пурпурна облека. Градот Суза се развесели и се зарадува.
16. Кај Јудејците тогаш имаше светлина и радост, веселба и свеченост.
17. И во секоја област, во секој град и секое место, каде што ке стигнеше заповедта на царот и неговата повелба, настануваше радост, веселба, гозба и празник за Јудејците. И мнозина лу е од народите во земјата станаа Јудејци, зашто ги беше обзел страв од Јудејците.

Глава 9

1. Во дванаесеттиот месец, во месецот Адар, на тринаесеттиот ден, кога дојде време да се исполни заповедта на царот и на неговата повелба, во тој ден, кога непријателите на Јудејците, се надеваа да ја земат власта над нив, Јудејците ја зедоа власта над своите непријатели, -
2. се собраа Јудејците во градовите свои по сите области на царот Артаксеркс, да става рака врз своите напријатели, и никој не можеше да устои пред лицето нивно, затоа што стравот од нив ги беше опфатил сите народи.
3. И сите кнезови по областите и сатрапите и обасните наместници и извршители на царските дела ги помагаа Јудејците, зашто ги беше опфатил страв од Мардохеја.
4. Оти Мардохеј беше силен во царскиот дом, и славата негова се пренесуваше по сите области, бидејки тој човек, Мардохеј, се издигаше се повеке и повеке.
5. Јудејците ги погубуваа сите свои нпријатели, убивајки ги со меч, ги умртвуваа и ги истребуваа; и постапуваа со нпријателите свои по своја воља.
6. Во престолнината Суза убија и истребија петстотини души;
7. и Фарсана и Нестана, и Делфона, и Фасгана,
8. и Фардатана, и Вареа, и Сарвакана,
9. и Мармасима, и Руфеја, и Арсеја, и Завутетама -
10. десетте синови на Амадатовиот син Аман, непријател на Јудејците, ги убија, но за грабеж рака не подадоа.
11. Во истиот ден му го соопштија на царот бројот на убиените во престолнината Суза.
12. Тогаш и рече царот на царицата Естира: 'Во престолнината Суза Јудејците убија и истребија петстотини души и десетмина Аманови синови; а што ли извршиле во другите царски области? Каква е твојата желба? И таа ке биде удоволена. И каква е уште твојата молба? И таа ке биде исполнета.'
13. Естира му одговори: 'Ако му е на царот угодно, нека им биде дозволено на Јудејците во Суза, да го вршат истото и утре, она што беше денес, и десетте Аманови синови да бидат обесени на бесилка.'
14. Царот заповеда да се направи така. Затоа беше издадена повелба во Суза, и ги обесија десетте Аманови синови.
15. Се собраа Јудејците, што беа во Суза, исто така и на четиринаесеттиот ден од месецот Адар и убија во Суза триста души, но за грабеж рака не пуштија.
16. И другите Јудејци, кои се нао аа во царските области, се собраа да го заштитуваат животот свој и да бидадт спокојни од своите непријатели, па убија од непријателите седумдесет и пет иљади, но за грабеж рака не пуштија.
17. Тоа стана на тринаесеттиот ден од месец Адар, и на четиринаесеттиот ден од тој месец тие се успокоија и направија ден за гозби и веселби.
18. А Јудејците, што беа во Суза, се собраа на тринаесеттиот ден и на четиринаесеттиот ден, а на петнаесеттиот ден се успокоија и ги направија ден за гозби и веселби.
19. Затоа Јудејците селани, што живееја во неутврдени села, го поминуваат четиринаесеттиот ден на месец Адар во веселби и гоштевки, како празник, и заемно си испракаат подароци; а оние што живеат во утврдените градови, го поминуваат и петнаесеттиот ден на Адар во добра веселба и им испракаат подароци на блиските.
20. Мардохеј ги опишта тие настани и испрати писма до сите Јудејци во областите на царот Артаксеркс, до блиските и далечните,
21. за да установат да го празнуваат секоја година четиринаесеттиот ден од месецот Арад и неговиот петнаесетти ден,
22. како дни, во кои Јудејците се успокоија од своите непријатели, и како таков месец, во кој се претвори кај нив жалоста во радост и тагата - во празник, - за да ги направат дните за гоштевки и веселби, при што заемно да си испракаат подароци и дарови на сиромасите.

23. Јудејците го примија тоа, кое веке сами беа почнале да го вршат и за кое им пиша Мардохеј,
24. дека Вугеецот Аман, Амадатов син непријател на сите Јудеци, мислеше да ги погуби Јудејците и фрлаше жреб, за да ги истреби и погуби,
25. и како Естира отиде кај царот и како царот заповеда со ново писмо зласторничкиот план на Амана, што беше намислил за Јудејците, да се сврти против главата нивна, и да го обесат него и синовите негови.
26. Затоа и ги нарекоа тие дни Пурим, од зборот пур - жреб. Ете зошто, согласно со сите зборови од тоа писмо и со она, што сами го видоа и пропатија,
27. Јудејците установија и примија за себеси и за децата свои и за сите, што се присоединуваа кон нив, неодменливо да ги празнуваат тие два дена, според заповеданото за нив и на времето нивно, секоја година;
28. и да бидат тие дни за секавање и празнувани во сите родови, во секое племе, во секоја област и во секој град; а тие дни Пурим да не се менуваат кај Јудејците, па споменот за нив да не исчезне кај децата нивни.
29. Напиша и царицата Естира, керка Авихаилова, и Јудеецот Мардохеј, најупорно, да го исполнуваат тоа ново писмо за Пурим;
30. и испратија писмо со зборови за мир и правда до сите Јудејци во сто и дваесет и седум области на царот Артаксеркс,
31. за да ги пазат постојано тие дни Пурим за времето нивно, како што ги установија за нив Јудеецот Мардохеј и царицата Естира и како што сами ги определија за себеси и за децата свои, во дните на пост и плачење.
32. Така заповедта на Естира ја потврди таа наредба за Пурим, а таа се запиша и во книгата.

Глава 10

1. Потоа царот Артаксеркс и наметна данок на земјата и на морските острови.
2. Сите дела на силата негова и мокта негова и подробниот приказ за големината на Мардохеја, со која царот ги возвеличи, се запишани во книгата за дневни белешки на мидиските и персиските цареви,
3. како и тоа, дека Јудеецот Мардохеј беше втор по царот Артаксеркс, велик кај Јудејците и љубен од многу свои брака, зашто му го мислеше доброто на својот народ и говореше за доброто на целото свое племе.

Глава 1

1. Имаше еден човек во земјата Уз, по име Јов; тој човек беше непорочен, праведен, богобојазлив и го одбегнуваше злото.
2. И му се родија седум синови и три керки.
3. Имотот му беше: седум иљади овци, три иљади камили, петстотини рала волови, петсоттини ослици и мошне многу слуги; и тој човек беше најпрочуен ме у сите синови на Исток.
4. Синовите негови се собираа и приредуваа гозби секој во домот свој, на својот ден, а ги поканувaa и трите свои сестри да јадат и да пијат со нив.
5. Кога завршуваа дните на гозбите, Јов ги повикуваше, та ги советуваше, и станувајки изутрина рано, принесуваше сепаленици по бројот на сите нив и едно теле за грев на душите нивни. Зашто Јов велеше: можеби синовите мои згрешиле и го навредиле Бога во срцето свое. Така постапуваше Јов во сите такви денови.
6. Еден ден дојдоа синовите Божји да застанат пред Господа; ме у нив дојде и сатаната.
7. И му рече Господ на сатаната: 'Од каде дојде?' А сатаната му одговори на Господа и рече: 'Одев по земјата и ја обиколив.'
8. И Господ му рече на сатаната: 'Обрна ли внимание на мојот слуга Јов? Оти на земајта нема таков како него: човек непорочен, праведен, боговојазлив и кој го одбегнува злото.'
9. Му одговори сатаната на Господа и рече: 'Зар попусто Јов е богобојазлив?
10. Не го огради ли Ти него и куката негова наоколу и се што има тој? Ти ги благослови делата на рацете негови, стадата негови се шират по земјата;
11. но пружи ја раката Своја и допри се до се што е негово, ке Те благослови ли тогаш.'
12. И му рече Господ на сатаната: 'Еве, се што е негово, е во твоја рака; само врз него не кревај рака? - И си отиде сатаната од лицето Господово.
13. Еден ден синовите и керките на Јова јадеа и пиеја вино во куката на првородениот брат свој.
14. И ете, доа а известувач при Јова и вели: 'Воловите ораа и ослиците пасеа покрај нив,
15. кога Савејците нападнаа и ги отераа, а момоците со остар меч ги погубија; избегав само јас за да ти јавам.'
16. Додека уште говореше, дојде друг и вели: 'Оган Божји од небото падна, ги изгори овците и момоците и ги голтна; и побегнав само јас, за да ти јавам.'
17. Додека тој говореше, дојде трет па вели: 'Халдејците, наредени во три чети, нападнаа на камилите и ги отераа, а момците со остар меч ги погубија; само јас избегав, за да ти јавам.'
18. И додека тој уште говореше, се појави друг и рече: 'Синовите и керките твои јадеа и пиеја во куката на првородениот брат свој;
19. ете, дувна силен ветар откај пустињата и ги зафати четирите агли на куката; куката се урна врз децата и тие умреа; се спасив само јас, за да ти јавам.'
20. Тогаш Јов стана, ја раскина горната облека, ја острига главата своја и падна на земја, па се поклони
21. и рече: 'Гол излегов од утробата на мајка ми, гол и ке се вратам. Господ даде, Господ го зеде; како што му беше угодно на Господа, така и станува. Нека е благословено името Господово!'
22. Во сето тоа Јов не згреши и ништо неразумно не изрече за Бога.

Глава 2

1. Еден ден дојдоа синовите Божји да застанат пред Господа; ме у нив дојде и сатаната да застане пред Господа.
2. И му рече Господ на сатаната: 'Од каде дојде?' Му одговори сатаната на Господа и рече: 'Одев по земјата и ја обиколив.'
3. Тогаш му рече Господ на сатаната: 'Обрна ли внимание на Мојот слуга Јов? Зашто на земјата нема таков како него: човек непорочен, праведен, богобојазлив и кој го одбегнува злото, и уште цврсто се држи во својата непорочност, иако ти Ме поттикнуваше, да го погубам без вина.'
4. Му одговори сатаната на Господа и рече: 'Кожа за кожа, а за животот свој чвеок ке даде и се што има;
5. но ајде пружи рака и допри се до коските негови и плотта негова, - ке Те благослови ли и тогаш?'
6. И му рече Господ на сатаната: 'Ете, тој е во твоја рака; само душата не земај му ја.'
7. Си отиде сатаната од лицето Господово и го порази Јова со лута рана - од стапалките на нозете негови до самото теме негово.
8. И си зеде Јов тогаш цреп за да се чеша со него, и седеше на буништето надвор од градот.
9. И му рече неговата жена: 'Зар си уште цврст во добротата своја. Навреди Го Бога и умри!'
10. Но тој и рече: 'Говориш како безумна. Зар доброто го примаме од Бога, а злото да не го поднесуваме?' - Во сето тоа Јов не згреши со устата своја.
11. Слушнаат тројцата пријатели Јовови за сите тие зла што го беа снашле, па тргнаа секој од своето место: Елифаз од Темна и Вилдад од Сува и Софар од Нам; се состанаа, за да одат да тагуваат заедно со него и да го утешуваат.
12. И кога кренаа очите од далеку, тие не го познаа; па викаа со силен глас, та заплакаа; секој ја раскина својата горна облека и се посипаа со земја врз главите свои.
13. И седеа со него на земјата седум дена и седум ноки: никој ни збор не му проговори, бидејки гледаа оти страдањето му беше многу големо.

Глава 3

1. Па почна Јов и рече:
2. Нека е проклет денот, во кој се родив, и нокта во која рекоа: - се роди дете!
3. Тој ден нека биде темнина; да не го побараше Бог одозгора и да не изгрееше над него светлина!
4. Да го затемнеше темнина и смртна сенка, црн облак да го покриеше, за да се плашат од него, како од врел сончев изгор!
5. Таа нок, - темнина да ја опфати, да не се смета ме у дните на годината, да не влезе во бројот на месеците!
6. Потоа ја отвори Јов устата своја и го проколна својот ден.
7. О, таа нок! Без лу е да беше; веселба да не влезеше во неа!
8. Нека ја проколнат оние, што го колнат денот, кои се способни да го разбудат левијатанот!
9. Нека потемнат ѕвездите во самракот; да ја чекаше светлината и таа да не дојдеше за да не ги види трепките на зората;
10. зашто не ги затвори дверите на мајчината ми утроба и не ја сокри тагата од очите мои!
11. Зошто не без умрел кога сум се ра ал, и не бев издивнал - кога сум излегувал од утробата?
12. Зошто ме прифатија на колена? Што ми требаше да цицам гради?
13. И сега ке лежев и ке почивав; ке спиев; и ке ми беше спокојно
14. заедно со царевите и земни советници, кои градеа пустињи за себеси,
15. или со кнезови, што имаа злато и кои ги полнеа домовите со сребро;
16. или, како пометниче закопано, немаше да ме има, како младенците што не виделе светлина.
17. Таму беззакониците престануваат да задаваат страв, таму почиваат изнемоштените.
18. Таму затворениците заедно се насладуваат од спокојство и не ги слушаат викотниците на надзирателот.
19. Мал и голем таму се рамни; робот е слободен од господарот свој.
20. Зошто на бедниците им е дадена светлина, и живот - на душевно огорчените,
21. кои ја очекуваат смртта, а ја нема, што ја бараат повеке отколку закопана драгоценост,
22. би се радувале до восхит, би се восхитиле, зашто нашле гроб?
23. Зашто му е дадена светлина на човекот, чиј пат е сокриен и кого Бог со мрак го опкружил?
24. Воздишките мои го испреваруваат лебот мој, офкањата мои течат како вода,
25. зашто страшното, од што се ужасував, тоа ме снајде; од што се плашев, тоа ме сполета.
26. Нема за мене мир, нема спокојство, нема утеха; настапи зло.'

Глава 4

1. Одговори Елифаз од Темна и рече:
2. 'Ако се обидеме да ти проговориме, нема ли да ти биде тешко? Но кој може да се воздржи да не говори!
3. Ете, ти мнозина си советувал и си поткрепувал изнемоштени раце,
4. твоите зборови го исправале оној што па ал, си ги поткрепувал раслабените колена.
5. А сега злото дојде до тебе, и ти изнемоште; допре до тебе, и ти падна со духот.
6. Твојата богобојзаливост не треба ли да биде твоја надеж, и непорочноста на твоите патишта - твојата поткрепа?
7. Спомни си, загинал ли некој невин, и кога праведните биле искоренувани?
8. како што сум гледал: оние што ораат нечесност и сеат зло, тоа и го жнеат;
9. од здивот Божји загинуваат и од духот на гневот негов исчезнуваат.
10. Рикањето на лавот и гласот на оној што вика замолчува, а забите на лавчињата се кршат;
11. силниот лав загинува кога нема плен, лавчињата на лавицата се распрснуваат.
12. И, ете, до мене скришно долета збор, и увото мое долови нешто од него.
13. Среде размислувањата за нокните виденија, кога сонот ги обзема лу ето,
14. мене ме опфака страв и трепет и ги растресе сите мои коски.
15. И духот помина над мене; косата ми се крена.
16. Тој застана, - но јас не го видов лицето негово, - само облак беше пред очите мои; тивко веење, и чув глас:
17. 'Зар човекот е поправеден од Бога? И почист ли и од својот Создател?'
18. Ете, Он и на слугите Свои не им верува и во ангелите Свои согледува недостатоци:
19. дотолку повеке кај оние, што живеат во земјатни куки, чии основи се од прав и кои пропа аат и од молец.
20. Ме у утрото и вечерта тие се растураат; нема ни да забележиш како исчезнале наполно.
21. не загинуваат ли со нив достоинствата нивни? Тие умираат иако не станале мудри.

Глава 5

1. Ајде викај! Има ли кој да ти одговори? Кон кого од светиите мислиш да му се обрнеш?
2. Вистина, гневот го убива глупавиот, раздразнетоста го погубува безумниот.
3. Видов како глупавиот се закоренува, но веднаш проклетството на домот негов падна.
4. Децата негови се далеку од спасение, нив ке ги бијат кај портите; зашто ке нема кој да ги заштити.
5. Жетвата негова ке ја изедат гладните, низ трњето ке ја извлечат; жедните ке го голтнат имотот негов.
6. Не, жалоста не излегува од земјата, нити злото изникнува од нивата;
7. човекот се ра а, за да страда, како и искрите - за да летаат угоре.
8. Но јас би се обрнал кон Бога и делото свое пред Бога би го поставил.
9. Он создава дела големи и неиспитливи, чудни и без број,
10. и дава дожд на земјата и им испрака вода на полињата;
11. понизените ги издигнува на високо, и натажените ги утешува и ги спасува.
12. Он го урива она што лукавите го градат, рацете нивни не го довршуват започнатото.
13. Он ги фака мудрите со нивното лукавство, и замислата на итрите се осуетува;
14. Среде бел ден запа аат во темнима; попладне одат со пипање, како ноке.
15. Он го спасува сиромавиот од меч, од устата нивна и од раката на силниот.
16. И за сиромавиот има надеж, а неправдата сама ја затвора устата своја.
17. Блажен е оној човек кого Бог го вразумува. Затоа не ја отфрлувај казната од Вседржителот,
18. зашто Он нанесува рани и Самиот ги преврзува; Он поразува, и Неговите раце лекуваат.
19. Од шест беди ке те избави и во седмата зло нема да те стигне.
20. Во време на глад ке те спаси од смрт, и во војна - од силата на мечот.
21. Од камшикот на јазикот ке се сокриеш, и нема да се уплашиш од опустошувањето - кога ке дојде.
22. На опустошувањето и на гладот ке им се потсмееш, од ѕверовите земни нема да се уплашиш, -
23. зашто си во сојуз со камењата полски, а полските ѕверови се во мир со тебе.
24. Ке дознаеш дека шаторот ти е во безопасност, ке си ја гледаш куката и нема да згрешиш.
25. Ке видиш, оти семето ти е многубројно, дека филизите твои се како трева на земјата.
26. Ке легнеш во гроб кога ке стигнеш до зрелост, како што се редат житните снопја.
27. Ете, тоа сме го испитале: вистината е жива; затоа чуј го сето ова и запомни го добро.'

Глава 6

1. Одговори Јов и рече:
2. 'О, да беа точно измерени макитe мои, и заедно со нив да го бев ставил на терезија страдањето мое!
3. Тие навистина би биле потешки од морскиот песок! Затоа зборовите ми се жестоки.
4. Стрелите на Вседржителот се во моето тело; духот мој го пие отровот нивни; ужасите Божји се управија против мене.
5. Рика ли див осел при трева? Мука ли бик над крмата своја?
6. Се јаде ли блуткавото без сол и има ли вкус белката од јајцето?
7. До она до кое душата моја не сакаше да се допре, тоа ми е сега храна во болеста.
8. О, да се беше остварела желбата моја, и Бог да го исполнеше очекувањето мое!
9. О, да сакаше Бог да ме сотре, да ме млатнеше со раката Своја и да ме истребеше!
10. Тоа би ми била вистинска утеха, иако горам од мојата безмилосна болест, бидејки не се откажав од зборовите на Светиот.
11. Колку ми е силата, та да се надевам на себе самиот? И каков е крајот, та да го продолжувам животот мој?
12. Камена сила ли е силата моја? И од бакар ли е телото мое?
13. Има ли во мене помош за мене, има ли за мене некоја поткрепа?
14. Кој одбива милост кон ближниот свој - ако тој не престанал да се бои од Севишниот Бог.
15. Но моите брака ме напуштија, како безводни потоци и како бранови ме одминаа
16. Како снег и мраз што се топат од толина и не се познава што имало.
17. Во време сушно тие намалуваат, а во време на жеги исчезнуваат од местата свои.
18. Го менуваат правецот на патиштата свои, навлегуваат во пустињата и се губат;
19. погледнуваат кон нив патниците од Темна, им се надеваат на оние што одеа во Сева,
20. но остануваат посрамени во својата надеж: одат таму и црвенеат од срам.
21. Така сте и вие сега спрема мене: видовте страотија и се исплашивте.
22. Ви рекова ли: дајте ми, или подајте ми нешто од вашиот вишок;
23. избавете ме од раката душманска, откупете ме од раката на мачителите?
24. Научете ме, и јас ке замолчам, покажете ми во што сум згрешил.
25. Колку се силни искрените зборови! Но што кажуваат вашите прекори?
26. Мислите ли зборовите мои да ги изобличите? Во ветар ги фрлате зборовите ваши?
27. Го напа ате сиромавиот и му копате јама на пријателот свој.
28. Но, ве молам, погледнете ме: зборувам ли лага пред вашето лице?
29. Разгледајте по правда? - јас сум исправен.
30. Има ли во јазикот мој неправда? Зар грлото мое не може да го разликува лошото?

Глава 7

1. Не ли е испит земниот живот за човекот? Дните негови не ли се како дни на наемник?
2. Како што слугата копнее за сенка, и како што наемникот го чека крајот на работата своја,
3. така и јас добив наследство суетни месеци; тажните ноки ми се избројани.
4. Легнувајки, си мислам: кога ли ке станам? А кога станувам се прашувам: како ке ја дочекам вечерта? Се измачувам од вечерта до утрото.
5. Телото ми е покриено со црви и прашливи наслаги; кожата ми се распукнува и гнои;
6. дните ми летаа побрзо од совалка и исчезнуваат без надеж.
7. Спомни си, дека животот мој е ветар, дека окото мое нема веке добро да види.
8. Нема да ме види окото на оној што ме видел; Твоите очи се на мене, - а мене ме нема,
9. како кога облак се проретчува и исчезнува, така слезениот во гроб нема да излезе;
10. нема повеке да се врати во куката своја; ни местото негово нема веке да го познае.
11. Затоа нема да ја воздржувам устата своја; ке говорам иако сум тажен во духот свој, ке се поплакувам во горчината на душата своја.
12. Зар сум море или морско чудовиште, та си поставил стража над мене?
13. Кога ке си помислам: 'Моето легло ке ме утеши; мојата постела ке ја однесе тагата моја.'
14. Ти ме плашиш со соништата и со привиденија ме ужасуваш;
15. Затоа душата моја сака повеке да се прекине дишењето, подобро смрт; смртта ми е помила од моите маки.
16. Ми омрзна животот: Нема вечно да живеам. Оддалечи се од мене, дните мои се само суета.
17. Што е човекот, та толку си го издигнал? И такво внимание му обрнуваш?
18. Зошто го посетуваш секое утро? Зошто го искушуваш секој миг?
19. Кога ке ме оставиш? Кога ке си одиш од мене? Кога ке ми дозволиш плунката своја јас да ја голтнам?
20. Ако сум згрешил, што да правам, о Чуваре над лу ето? Зошто го стави Својот знак на мене, па да сум Ти на товар?
21. Зар престапот мој не можеш да го поднесеш? Зар не можеш да го презреш беззаконието мое? Зашто, ете, уште малку ке мине и во прав ке легнам; утре ке ме побараш, а нема да ме има.'

Глава 8

1. Тогаш одговори Вилдад од Сува и рече:
2. 'До кога ке говориш така? И зборовите од устата твоја се бурен ветар!
3. Зар Бог суди криво? Може ли Седржителот да ја изопачи правдата?
4. Ако твоите синови пред Него згрешиле, затоа и ги предал на нивното беззаконие.
5. Но ако со срце Го побараш Бога и Му се помолиш за милост на Вседржителот,
6. и ако си чист и праведен, Он уште сега ке ја услиши молитвата Твоја; и ке го обнови животот твој како на праведник.
7. И ако порано си имал малку, после ке имаш повеке.
8. Запрашај ги поранешните поколенија и вникни во мудроста на нивните татковци;
9. ние сме вчерашни и ништо не знаеме, нашите дни се како сенка на земјата.
10. Зар тие нема да те научат, зар тие нема од срцето свое да кажуваат зборови:
11. никнува ли шевар без влага? Расте ли трска без вода?
12. Додека е уште зелена и додека непресечена, таа се суши пред секоја трева.
13. Такви се патиштата на сите, што го забораваат Бога; така пропа а надежта на безбожникот;
14. надежта му е тенка нишка, вербата негова - мрежа пајакова.
15. Ако се потпре на куката своја, нема да устои; ке се фати ли за неа, нема да додржи.
16. Се зеленее тој, на сонцето вирее, неговите фиданки градината ја прекриваат,
17. во грамада од камења се вплетуваат корењата негови, живот црпи од живиот камен.
18. Но кога ке го искорнат од местото негово, тоа ке се откаже и ке рече: не сум те познавало!
19. Ете ја радоста на неговито пат! А од земјата никнуваат растенија други.
20. Не, Бог не ги отфрла непорочните и не ја поддржува раката на беззакониците.
21. Со смеа ке ја наполни устата твоја, и усните твои - со радосни извици.
22. Оние што те мразат, со срам ке се покријат, шаторот на нечесните ке исчезне.'

Глава 9

1. На тоа одговори Јов и рече:
2. 'Навистина знам, дека е тоа така; но како ке се оправда човек пред Бога?
3. Ако сака да влезе во расправија со Него, нема да Му одговори ни на едно од иљада.
4. Он е мудар по срце и мокен по сила; кој станувал против Него и останувал во спокојство?
5. Он ги преместува планините, а тие тоа не го знаат: ги превртува во гневот Свој;
6. ја поместува земјата од местото нејзино, и столбовите и треперат;
7. ке му каже на сонцето, - и тоа не изгрева, и на ѕвездите им става печат.
8. Он Сам ги распнува небесата и оди по морската површина;
9. Он ги создал Мечката, Орионот и Плејадата и ѕвездите на јужното небо;
10. врши големи дела, неиспитливи и чудесни, и безбројни се Неговите чуда.
11. Ете, Он оди пред мене, и јас не можам да Го видам; Он минува, а јас не Го забележувам.
12. Земе ли нешто, кој ке Му забрани? Кој смее да Го праша: што правиш?
13. Бог нема да го отстрани гневот Свој; пред Него ке паднат привrзаниците на гордоста.
14. Ако ме услиши и ги оцени зборовите мои,
15. дури и да сум прав, нема да одговарам, туку Судијата мој за милост ке Го молам.
16. И кога на гласот мој би се одзвал, немаше да поверувам дека ги чул зборовите мои Оној,
17. Кој во виор ме поразува и без вина ги умножува раните мои;
18. не ми дава да здивнам, а со горчила ме исполнува.
19. Ако станува збор за сила, Он е најсилниот; кој ке се спротивстави на Неговиот суд?
20. Ако почнам да се оправдувам, самата уста ке ме обвини; ако сум невин, Он ке ме прогласи за виновен.
21. А дали сум невин, и јас самиот веке не знам, животот свој го презирам.
22. Сеедно е: затоа реков: дека Он го погубува и непорочниот и виновниот;
23. ако лукавите гинат со лута смрт, тогаш со невините се подбиваат.
24. Земјата е препуштена во рацете на нечестивите. Он им ги покрива очите на нејзините судии. Ако Он не е, тогаш Кој е?
25. Но дните мои беа побрзи од гласникот, - далеку побегнаа, не видоа никаде добро;
26. летаат како лесни летала, како орел, што се спушта врз плен.
27. Ако речам: 'Ќе ги заборавам тагите свои, ке го отстранам својот мрачен изглед и ке закрепнам,'
28. од сите мои маки ужас ме опфака, зашто, знам дека нема да ме оправдаш.
29. Ако сум, пак, виновен, зошто тогаш залудо се измачувам?
30. Да се измиев со снежна вода и сосема да ги исчистев рацете свои,
31. и тогаш Ти ке ме турнеше во тиња, па ке се згнасеа од мене и алиштата мои.
32. Зашто Он не е човек, како што сум јас, та да можам да Му одговорам и да отидам заедно со Него на суд!
33. Ме у нас нема посредник, што би ја ставил раката своја ме у двајцата.
34. Нека го тргне Он од мене жезалот Свој, и стравот Негов да не ме застрашува,
35. тогаш ке зборувам и нема да се плашам од Него, бидејки вака не знам за себе.

Глава 10

1. И дотегна на душата моја мојот живот; ќе се предадам на тагата своја; ќе говорам со горчината на душата своја.
2. Ќе му речам на Господа: 'Не ме обвинувај; кажи ми зошто се бориш со мене?
3. Мило ли тие е да ме измачуваш, да го презираш делото на рацете Свои, а намерите на нечесните да ги помагаш?
4. Зар имаш телесни очи? Гледаш ли како што гледа човек?
5. Зар Твоите дни се како дните на смртните, или Твоите години се како дните на човек,
6. та бараш порок во мене и бараш грев во мене,
7. макар што добро знаеш дека сум невин и дека нема кој да ме спаси од раката Твоја?
8. Твоите раце ме создале и ме оформиле, и Ти сега од сите страни ме поништуваш?
9. Сети се дека како глина си ме замешал, та пак ли во прав ќе ме претвориш?
10. Нели Ти ме излеа како млеко, и ме згусти како сирење?
11. Со кожа и плот ме облече, со коски и жили ме стегна,
12. живот и милост ми дарува, и Твојат грижа го чуваше духот мој?
13. Но и тоа во срцето Свое го криеше, знам дека тоа е во Тебе,
14. дека, ако згрешам, Ти ќе забележиш и нема да го оставиш гревот мој без казна.
15. Ако сум виновен, тешко ми мене! Ако сум прав, не ќе смеам да кренам глава. Од срам сум скршен, гледајќи ја маката своја.
16. Ако се исправам, како лав ме гониш, силата Своја на мене ја покажуваш со чудеса.
17. Обвинувања нови подигаш против мене; го засилуваш гневот Свој против мене; со нови сили се креваш против мене.
18. И зошто ме изведе од утробата? Да бев умрел кога ничие око уште не ме беше видело;
19. о, да бев пренесен од утробата во гроб, како да ме немало!
20. Нели се малку деновите мои? Остави ме уште малку да се радувам,
21. пред да појдам на пат без враќање - во земјата на темнината и смртната сенка,
22. во земјата на густата темнина, каде што нема уредба, каде што светлината е слична на најцрната ноќ.'

Глава 11

1. Потоа проговори Софар од Нам и рече:
2. 'Зар на многу зборови не може да се даде одговор, и зар многузборливиот човек е прав?
3. Твоето празнословие ке ги натера ли лу ето да молчат, за да се потсмевнуваш ти, та да нема кој да те засрами?
4. Ти рече: расудувањето ми е правилно, и јас сум чист во Твоите очи.
5. О, да проговореше Бог, да ја отвореше устата Своја кон тебе
6. и да ти ги откриеше тајните на мудроста, дека тебе ти се па а двојно повеке да понесеш! И така, знај, оти Бог за тебе предаде на заборав некои од твоите беззаконија.
7. Можеш ли во длабочините Божји да проникнеш? Можеш ли да го достигнеш совршенството на Вседржителот?
8. Он е повисок од небесата, - што можеш да направиш? Подлабок е од пеколот, - што можеш да дознаеш?
9. Подолга од земјата е мерката Негова и поширока од морето.
10. Ако преиначи и затвори некого во окови и го изведе на суд, кој ке Му забрани.
11. Зашто Он ги знае оние што лажат и го гледа беззаконието; ке го остави ли без презир?
12. Но и суетниот човек се опаметува; дивото осле на узда се покорува.
13. Ако го насочиш срцето свое и ги подадеш рацете кон Него,
14. ако порокот од раката своја го отфрлиш и не дозволиш беззаконие да престојува во твоите шатори,
15. тогаш ке го кренеш неизвалканото лице свое, ке бидеш цврст и нема да се плашиш.
16. Тогаш ке ја заборавиш тагата: како за истечена вода ке се секаваш за нив.
17. И животот твој ке почне појасно од пладне; како утро ке светнеш.
18. Во надежта своја ке бидеш спокоен, ограден, ке почиваш во мир.
19. Ке легнеш и не ке има кој да те заплашува; мнозина ке ти се умилкуваат.
20. А очите на беззакониците ке изгаснат, прибежиштето нивно ке пропадне, а надежта нивна ке биде исчезнувањето.'

Глава 12

1. Пак одговори Јов и рече:
2. 'Само вие ли сте лу е, и со вас ли ке исчезне мудроста!
3. И јас знам да мислам како вас; и во ништо не сум подолен од вас; и кој не го знае истото тоа?
4. за потсмев станав јас на пријателот свој, јас што го повикував Бога, и Кој ми одговараше, - за потсмев е - праведниот и непорочниот човек.
5. Несрекниот треба да се презира - тие мислат, да се удира по оној, чии нозе се сопнуваат.
6. Спокојни се шаторите на крадците и безопасни на оние што Го гневат Бога, ним Бог им дава се.
7. Но, прашај го добитокот, и ке те научи; запрашај ја небеската птица, и ке ти објасни.
8. Гуштерите ке те поучат, ке ти кажат и морските риби.
9. Кое од сите созданије не знае, дека раката на Господа го создала?
10. Но Неговата рака е душата на се што е живо и духот на секоја човечка плот.
11. Нели увото ги разбира зборовите, и нели јазикот го распознава вкусот на храната?
12. Кај старците има мудрост, а кај долговечните - разум.
13. Но во Него има мудрост и сила, Негови се решението и разумот.
14. Она што Он ке разурне, нема да се изгради: кого Он ке заговори, нема да се ослободи.
15. Да ги запре водите, и се ке се исуши; да ги пушти, и земјата ке ја разрушат.
16. Во Него е силата и сета мудрост, пред Него е оној, што е заблуден, и оној што воведува во заблуда.
17. Он ги приведува советниците во необмисленот и ги прави судиите безумни.
18. Он ги лушува царевите од власт и го врзува со јаже крстот нивни;
19. на кнезовите им го одзема достоинството и силните ги кутнува;
20. им го одзема јазикот на гордите и ги лишува од разум старците;
21. ги покрива со срам славните и јас ослабнува силата на мокните:
22. ја открива темнината во длабините и ја вади на видело смртната сенка;
23. ги издигнува народите и ги истребува; ги распрснува и ги собира;
24. им го одзема умот на кнезовите земни и ги упатува на безпатна пустиња:
25. со пипање одат тие по темнина, без светило, и скитаа како пијани.

Глава 13

1. Ете, сета тоа окото мое го виде, увото мое го чу и го забележав за себеси.
2. Колку што знаете вие, знам и јас; не сум подолу од вас.
3. Но јас кон Вседржителот би сакал да говорам, би сакал со Бога да се соочам.
4. А вие сте ковачи на лаги; сите вие сте бескорисни лекари.
5. О, само да бевте молчеле! Тоа би ви се сметало за мудрост.
6. Ислушајте ги моите расудувања и проникнете во изразот на устата моја.
7. Требаше ли да говорите заради Бога неправда и заради Него да говорите лага?
8. Требаше ли да бидете лицепријатни кон Него и за Бога така да се препирате?
9. Добри ли ке биде, Он да ве испитува? Ке Го измамите ли како што го измамуваат човекот?
10. Он строго ке ве казни, иако скришно лицемерите.
11. Зар големината Негова не ве плаши, и страв од Него не ве обзема ли?
12. Вашите забелешки прилегаат на пепел; вашата одбрана е глинена ограда.
13. Молкнете пред мене, а јас ке говорам, што и да ме снајде.
14. Зар јас самиот да си го раскинувам со забите телото свое? И душата своја да си ја ставам в рака?
15. Ете, Он може да ме убие, но јас ке се надевам; би сакал само однесувањето мое пред лицето Негово да го оправдам.
16. И тоа ми е веке за спасение, бидејки безбожник нема да се јави пред лицето Негово.
17. Ислушајте ги внимателно зборивите мои и објасненијата мои со ушите ваши.
18. Ете, започнав судска постапка; знам дека ке бидам прав.
19. Кој има сила да ме надвие? Потоа ке молкнам и ке го испуштам духот.
20. Само две работи не прави со мене, и тогаш јас нема да се кријам од Твоето лице;
21. тргни ја од мене раката Своја, и Твојот ужас да не ме потресува.
22. Тогаш прашувај ме, и јас ке одговарам; или јас да прашувам, а Ти да одговараш.
23. Колку се пороците и гревовите мои? Покажи ми го беззаконието мое и гревот мој.
24. Зошто го криеш сега лицето Свое од мене и ме сметаш за Твој непријател?
25. Зошто со страв го мачиш од ветрот скинатиот лист, зошто ја гониш сувата сламка?
26. Зошто пишуваш против мене горчливи пресуди и ми ги сметаш гревовите на младоста моја,
27. ги тураш во клада нозете мои и ги демнеш сите мои патишта, - ги испитуваш трагите на нозете мои?
28. Животот мој како изгниено дрво се распа а, како облека од молци изедена.'

Глава 14

1. 'Роден од жена, човекот е кратковечен и презаситен од невољи:
2. како цвеке никнува и бргу овенува; како сенка бега и не се запира.
3. И врз него ли ги отвораш Ти очите Свои, и пред Себе на суд го водиш?
4. Кој ке се роди чист од нечист? Ниеден.
5. Па кога дните му се определени, кога бројот на месеците од Тебе зависи, ако си му определил ме а, преку која не може да мине,
6. тогаш оддалечи се од него: нека си здивне додека како наемник не го заврши денот свој.
7. За дрвото сепак има надеж, дека тоа, макар и да биде пресечено, пак ке оживее, фиданки од него непрестајно избиваат,
8. макар и да е остарен коренот негов во земјата, и пенушката да му замрела во прав,
9. но, штом ке осети вода, тоа дава младици и пушта фиданки, како да е одново посадено.
10. А човекот умира и истлејува; си оди, и каде е тој?
11. Истечуваат водите од морето, и реката секнува и пресушува:
12. така човекот ке легне и нема да стане; до свршетокот на небото нема да се разбуди и нема да се разбуди од својот сон.
13. О, да беше ме сокрил и криел во пеколот, додека да мине гневот Твој, да беше ми одредил рок и после да си спомнеше за мене!
14. Кога ке умре човек ке живее ли пак? Во сите денови на одреденото време би чекал додека ми дојде смената.
15. Ти би викнал, и јас би Ти дал одговор, и Ти би покажал благоволение кон созданието на Твоите раце;
16. а сега ги броиш стапките мои и го демнеш секој мој грев;
17. во свиок го запечати беззаконието мое, и секоја вина моја ја запиша.
18. Но планината па ајки се руши, и карпата се поместува од местото свое;
19. водата ги излижува камењата; сливот го одвлекува земниот прав: така ја унишутваш Ти и надежта на човекот.
20. Го притискаш докрај, и тој заминува; го менуваш лицето негово и го испракаш.
21. На почит ли се децата негови - тој не знае; унижени ли се - тој не забележува;
22. но плотта на него боледува, и душата во него страда.'

Глава 15

1. Проговори Елифаз од Темна и рече:
2. 'Ќе одговара ли мудриот со празни знаења и ќе го полни ли стомакот свој со врел ветар?
3. Ќе се оправдува ли со бескорисни зборови, и со зборови, што немаат никаква сила?
4. Ти пак го заборави стравот од Бога; пред Неговото лице ти трепет немаш.
5. Твоите зборови вината Твоја ја покажуваат, се служиш со јазикот на лукавите.
6. Тебе те обвинува устата твоја, а не јас; јазикот твој говори против тебе.
7. Зар ти си првиот роден од човек и пред ридовите ли си создаден?
8. Зарем си ги слушал тајните Божји и за се мудрост си придобил?
9. Што знаеш ти, што ние не го знаеме? Што разбираш ти, а што го нема и во нас?
10. Ме у нас има и седокоси, и старци, коишто според деновите го надминуваат татко ти.
11. Зар се за тебе малку Божјите утехи? И Неговите благи зборови?
12. Кон што те соблазнува срцето твое, кон што така гордо гледаш?
13. Зошто го устремуваш против Бога духот свој и со устата своја изнесуваш такви зборови?
14. Што е жив човек, та да биде чист и родениот од жена да биде праведен?
15. Ете, Он и на светите Свои не се доверува, и небесата се нечисти во Неговите очи:
16. толку повеке е нечист и разтлеен човекот, којшто го пие беззаконието како вода.
17. Јас ке ти говорам, слушај ме; ке ти раскажам она што сум видел,
18. што го слушале мудрите и не го сокриле слушнатото од татковците свои,
19. на кои им била дадена оваа земја, каде ту инец никогаш не стапнал.
20. Нечесниот се мачи себеси преку сите свои денови, годините му се одброени на потисникот;
21. звук од ужас секогаш е во ушите негови; додека мирува, погубникот налетува на него.
22. Не се надева да се спаси од темнината; пред себеси гледа меч.
23. За парче леб скита постојано; знае дека е сосема близу денот на неговата смрт.
24. Го плаши нуждата и теснотијата; го надвива; како цар, готов за бој,
25. затоа што кревал рака против Бога и Му се противел на Вседржителот,
26. се спиштал против Него со гордост, зад дебелите свои штитови;
27. затоа што го покрил лицето со маста своја и ги здебелил бедрата свои.
28. И тој се населува во разурнати градови, во куки, каде што не се живее; и што приготвил за себе други ке однесат.
29. Тој нема да се збогати, и имотот негов нема да напредува; ниту поседот негов ке се рашири по земјата.
30. Нема да избега од темнината; пламен ке ги исуши ветките негови, и со дување пламен од уста ке изчезне.
31. Заблудениот нека не и се доверува на суетата, затоа што суетата ке биде и платата негова.
32. Тој предвреме ке умре, и ветките негови никогаш нема да се зеленеат.
33. Ќе го фрли тој како лоза неузреаното грозје свое, како маслинка ке го истресе цветот свој.
34. Така ке опустее домот на нечестивиот, и оган ке ги голтне шаторите на поткупништвото.
35. Тој зачна зло и роди лага, во утробата негова подготвува измама.'

Глава 16

1. Одговори Јов и рече:
2. 'Јас сум слушал многу такви работи; немили утешители сте сите вие!
3. Ќе имаат ли крај празните зборови? И што те поттикнало да ми говориш така?
4. И јас можев да зборува исто како вас, ако вашата душа беше на местото на мојата душа; би се противставувал со зборови против вас и би кимнувал со главата против вас;
5. би ве поткрепувал со јазикот свој и со движењето на усните свои би ве утешувал.
6. Ако говорам, скрбта моја не се сталожува; ако замолчам, зар ке ми одмине?
7. Но сега Ти ме изнемошти. Ти ми ја растури мојата челад.
8. Ти ме покри со брчки, за сведоштво против мене; мојата изнуреност се крева против мене, в лице ме прекорува.
9. Гневот негов се измачува и непријателствува против мене, ми скрца со забите; непријателот ги впива очите во мене.
10. Ја отвориле устата против мене; навредувајки ме удираат по усните; сите направиле заговор против мене.
11. Бог ме предаде на беззаконите и ме предаде во рацете на нечестивите.
12. Си бев спокоен, но Тој ме потресе; ме фати за вратот, ме затересе и ме постави за цел на Себеси.
13. Ме опколија стрелците Негови; Тој ги раскинува моите внатрешнини, без да ме штеди, ја пролева на земјата жолчката моја,
14. пробива во мене рана до рана, трча против мене како бесен борец.
15. Врекиште сошив на кожата моја и во прав ја турив главата своја.
16. Лицето мое поцрвене од плачење, и на клепките имам смртна сенка,
17. Во рацете мои нема крадено, и молитвата моја секогаш била чиста.
18. Земјо! Не криј ја крвта моја, та за мојот повик да нема место.
19. И сега, ете, на небото сведок имам, Застапникот ми е во висините!
20. Нека ја прими молитвата моја Господ и нека солзи окото мое пред Него.
21. О, да можеше човек да се бори со Бога, како синот човечки со својот ближен!
22. Зашто крајот на годините мои ми доа а; на пат без вракање треба да појдам.'

Глава 17

1. 'Дишењето ми ослабна; дните мои гаснат; гробишта има пред мене.
2. Да не беше нивниот потсмев, тогаш и покрај нивните приговори окото мое ке беше спокојно.
3. Заштити ме, заложи се Сам за мене пред Себе! Инаку, кој ке се заложи за мене?
4. Зашто Ти го затвори срцето нивно за да не можат да разбираат, и затоа нема да им дозволиш да ликуваат.
5. Кој им го дели на пријателите свои имотот свој, на неговите деца очите им истечуваат.
6. Он ме прави приказ кај лу ето и секој може в лице да ми плукне.
7. Окото мое од тага ми потемне, а рацете и нозете од слабост ми треперат.
8. Праведните ке се зачудат на тоа и невините ке негодуваат против беззакониците.
9. Но праведникот ке се држи цврсто за својот пат, и чистиот во рацете се повеке и повеке ке се зацврстува.
10. Вратете се сите вие и одете си; нема да најдам мудар ме у вас.
11. Дните мои изминаа; мислите мои - тежина на срцето мое - се разбиени.
12. Во нокта најцрна нов ден се приближува, се приближува сетлината што темнината ја гони.
13. А мојата надеж е да појдам во гроб и таму во темнина да ја постелам постелата своја;
14. на гробот ке му речам: ти си ми татко, а на црвот - ти си мајка и сестра.
15. Каде е надежта моја? И кој некогаш ке го види доброто што го очекувам?
16. Ке слезе таа во пеколот и заедно во правот ке почива со мене.'

Глава 18

1. Проговори Вилдад од Сува и рече:
2. 'Кога најпосле ке им ставиш крај на таквите зборови? Размисли се, па потоа да зборуваме.
3. Зошто не сметаш за неразумни животни! Зар сме животни во твоите очи?
4. О ти, кој во гневот свој, ја раскинуваш душата своја! Зарем заради тебе да запустее земјата и карпата да се крене од своето место?
5. Да, светлината кај беззаконикот ке згасне, и искрата од огнот негов нема да остане.
6. Светлината ке потемнее во шаторот негов, светилото негово ке згасне над него.
7. Стапките не силата негова ке ослабеат, сопствената мисла ке го отфрли,
8. зашто ке падне во стапица со нозете свои, и по мрежи ке оди.
9. Стапицата ке ја фати ногата негова и грабач ке го улови.
10. Скришно се поставени за него стапици на патот, по кој оди.
11. Ужаси од секаде го демнат и тој се метка наваму - натаму.
12. Од глад се истоштува силата негова, смртта е готова, близу е до него.
13. Kе ги испојаде деловите на телото негово, ке ги испојаде жилите негови првенецот на смртта.
14. Од шаторот негов ке се искорне неговата надеж; и тоа ке го одведе при царот на ужасите.
15. Kе се населат во шаторот негов, бидејки тој веке не е негов: живеалиштето негово ке биде посипано со сулфур.
16. Одоздола се сушат корените негови, одозгора ке овенат ветките негови.
17. Споменот за него ке изчезне од земјата, на плоштадот ке го нема името негово.
18. Kе го изгонат од светлина во темнина и ке го избришат од лицето на земјата.
19. Ни син негов, ни внук нема да има во народот негов: никој нема да остане во живеалиштата негови.
20. За денот негов ке се ужасат потомците, а современиците ке бидат обземени од трепет.
21. Такви се живеалиштата на беззаконикот, и такво е местото на оној, кој не знае за Бога.'

Глава 19

1. На тоа одговори Јов и рече:
2. 'До кога ке ја мачите душата моја? До кога ке ме измачувате со зборови?
3. Ете, веке десетпати ме посрамувате, и не ли ви е срам да ме измачувате?
4. Ако сум и навистина згрешил, грешката моја останува за мене.
5. Ако, пак, сакате да се големеете над мене и да ме прекорувате со мојот срам,
6. знајте, дека Бог ме собори и со мрежата Своја ме обвитка.
7. Ете, јас викам: - неправда! - и никој не слуша; врескам, и суд нема.
8. Он ми го загради патот, и не можам да минам, и врз патеките ми спушти мрак.
9. Ја соблече од мене славата моја и го симна венецот од главата моја.
10. Од сите страни ме сосипува, и јас одам, и како дрво Он ја истргнува надежта моја.
11. Го разгори гневот Свој против мене и ме вбројува ме у Своите непријатели.
12. Војските Негови дојдоа заедно, се упатија кон мене и се сместија околу шаторот мој.
13. Браката мои Он ги оддалечи од мене; и оние, што ме познаваат, се отстрануваат од мене.
14. Ме напуштија блиските мои, ме заборавија познатите мои.
15. Оние што најдоа поткрепа во куката моја и слугите и слугинките мои ме сметаат за ту ; надворешен станав во нивните очи.
16. Го викам слугата свој, и тој не се одѕива; со устата своја треба да го молам.
17. Воздишката моја и дотежна на жената моја, и треба да ја молам заради децата на утробата нејзина.
18. Дури и малите деца ме презираат; кога станам тие се подигруваат со мене.
19. Од мене се гнасат моите најверни пријатели, и оние, што ги сакав, - се свртија против мене.
20. Коските ми се залепија за кожата моја и телото мое, и јас останав со кожа само околу забите мои.
21. Смилувајте се, смилувајте се над мене, пријатели мои, - зашто раката Божја се допре до мене.
22. Зошто ме гоните и вие како Бог, и со телото мое не можете да се наситите!
23. О, да беа зборовите мои напишани! да беа ставени на книга!
24. Со железно длето и со олово, - да беа на вечни времиња врз камен издлабени!
25. Но јас знам, Искупителот мој е жив, и Он во последниот ден ке ја крене мојата гнилежна кожа.
26. И јас во телото мое ке го видам Бога.
27. Јас сам ке го видам; моите очи, не очите на друг, ке Го видат. Срцето ми се топи во градите мои!
28. Вам ви се допа аше да кажете: - зошто го гониме! - Како да е коренот на злото најден во мене.
29. Плашете со од мечот, зашто мечот се одмаздува за неправда, а знајте дека има и суд.'

Глава 20

1. Проговори Софар и рече:
2. 'Размислувањата мои ме поттикнуваат да одговарам, брзам да ги искажам.
3. Срамен прекор чув за мене, но духот на мојот разум ке одговори за мене.
4. Зар не знаеш ти дека е тоа од памтивека, - откога е човекот поставен на земјата,
5. дека славата на беззакониците е краткотрајна, и радоста на лицемерниот е за миг?
6. И до небесата да се издигне величието негово, и до облаците да се допира главата негова, -
7. тој засекогаш ке пропадне, како и гадотиите негови; оние што го виделе, ке кажат: - каде е тој?
8. Како сон ке одлета, и нема да го најдат; како нокно привидение ке исчезне.
9. Кое око го видело, повеке нема да го види, и местото негово повеке нема да го зебележи.
10. Синовите негови ке им се умилкуваат на сиромасите, и рацете негови ке го вратат она што го ограбил
11. Коските негови се полни со гревови на младините негови, со него ке легнат тие во земјата.
12. Ако злото е слатко во устата негова, и тој го крие од јазикот свој,
13. го чува и не го фрла, туку го држи во устата своја, -
14. сепак таа храна во утробата негова, внатер во него, ке се пртвори во змиски отров.
15. Ке го изблуе доброто што го голтнал: Бог ке го исфрли од стомакот негов.
16. Змиски отров ке смука тој; јазикот на змијата ке го умртви.
17. Нема да види потоци и реки од мед и млеко.
18. Спечаленото со труд ке го врати, нема да го изеде; според имотот негов ке стане и плакањето негово; и тој нема да се зарадува.
19. Зашто јадеше и ги напа аше сиромасите; заграбуваше куки што не ги беше градел;
20. не знаеше ситост во стомакот свој, и во жедта своја ништо не штедеше.
21. Ништо не се откинуваше од лакомоста негова, затоа и радоста негова нема долго да потрае.
22. При полно изобиле, тесно ке му биде; рацете на сиромасите ке се кренат врз него.
23. Кога има со што да го наполни стомакот негов, Тој ке ја примени врз нега јароста на Својот гнев и ке истури како дожд врз него болести во телото негово.
24. Ке избега ли од железното оружје, - бакарен лак ке го прободе.
25. Пуштената стрела ке мине низ телото негово, ке излезе со својот болскав врв низ жолчката негова; ужасите не смртта ке се нафрлуваат врз него!
26. Се што е мачно и сокриено во него, ке го гори оган, од никого не раздуван; зло ке ги снајде и другите во шаторот негов.
27. Небото ке го открие беззаконието негово, а и земајта ке се крене против него.
28. Ке исчезне богатството на куката негова; се ке се растури во денот на гневот Божји.
29. Тоа е делот од бога за беззакониот човек и наследство, определено за него од Вседржителот!'

Глава 21

1. Одговори Јов и рече:
2. 'Ислушајте го внимателно зборот мој; тоа ке ми биде утеха од вас.
3. Потрпете ме, и јас ке говорам; а потоа, откако ке се искажам, потсмевајте се.
4. Зар на човек се оплакувам јас? Па како да не биде жалосен духот мој?
5. Погледајте ме и ужаснете се, и ставете прст на устата своја.
6. Само кога ке помислам, - истрпнувам, и трепет го обзема телото мое.
7. Зошто беззакониците живеат, достигнуваат старост, и собираат богатство?
8. Децата нивни се со нив пред лицето нивно, и внуците им се пред очите нивни.
9. Куките им се во мир и без страв, и жезалот Божји не е врз нив.
10. Бикот нивни оплодува и не пропушта, кравата нивна зачнува и не пометнува.
11. Ги пуштаа малите свои како стадо, и децата нивни скокаат.
12. Подвикнуваат при тимпани и гусли и се веселат со свирки;
13. ги поминуваат деновите во добро и во еден миг слегнуваат во гроб.
14. А ме утоа, Му велат на Бога: - 'Отстрани се од нас, не сакаме да знаеме за Твоите патишта!
15. Што е Вседржителот, та да му служиме? И каква полза има да прибегнуваме кон Него?'
16. Гледаш, доброто нивно не е од нивните раце. - Но далеку е од мене советот на нечестивите!
17. Често згаснува светилката кај беззакониците и ги сполетува зло, а Он во гневот Свој ги даруа со страдања?
18. Тие треба да бидат како сламка пред ветар и како плева, завеана од виор.
19. Ке речеш: 'Бог го чува злото негово за неговите деца. - Нека му воздаде Он на него самиот, за да го знае тој тоа.
20. Нека очите негови го видат злото негово; и сам нека пие од гневот на Вседржителот.
21. Зашто, што му е грижа за домот негов, кога бројот на месеците негови ке се сврши?
22. Но Бога ли ке Го учиме на мудрост кога им суди на горните?
23. Еден умира во најголема сила своја, сосема спокоен и мирен;
24. внатрешнината му е полна со маст, и коските му се напоени со мозок.
25. Друг, пак, умира со огорчена душа, без да вкуси добро.
26. И еден до друг лежат во земјата и црви ги покриваат.
27. Ги знам вашите мисли и судови, што ги кроите против мене.
28. Вие велите: ‘каде е кнезовиот дом, каде е шаторот, во кој живеат беззакониците?‘
29. Зар не сте ги распрашувале патниците и не сте запознаени ли со нивните забележувања,
30. дека во денот на смртта безбожникот бива поштеден; во денот на гневот се одведува настрана?
31. Кој ке му го прекори пред лицето негово неговиот пат, и кој ке му врати за она што го вршел тој?
32. Го спроведуваат до гробиштата и во гробот свој останува тој.
33. Лесни се за него земјените грутки; по него одат многу лу е, а оние што отишле пред него број немаат.
34. Како тогаш сакате да ме утешите со суета? Во одговорите ваши останува само измама.'

Глава 22

1. Проговори тогаш Елифаз од Темна и рече:
2. 'Зар човек може да му биде користен на Бога? Човекот сам за себеси е мудар.
3. Се радува ли Вседржителот затоа што си праведен? И ке има ли корист за Него, затоа што ги држиш непорочни патиштата Негови?
4. Зар Он, плашејки се од тебе, ке влезе во борба со тебе, ке појде ли да се суди со тебе?
5. Навистина, твојата злоба е голема, и беззаконијата твои крај немаат.
6. Навистина, ти земаше залог од браката свои за ништо и на полуголи им ги соблекуваше алиштата нивни.
7. На измачен од жед не му даваше вода, да се напие, а на гладен леб му откажуваше;
8. а на силен човек му даваше земја, и повидниот се населуваше на неа.
9. Вдовиците ги испракаше без ништо, и сираците ги оставаше со празни раце.
10. Затоа околу тебе има стапици, и неочекуваниот ужас те збунува.
11. Темнина е околу тебе, во која ништо не гледаш и голема вода те покрива.
12. Бог не ли е повисоко од небесата? Погледај ги горе ѕвездите, колку се високо тие!
13. И ти велиш: ‘што знае Бог?‘ Може ли Он да суди во мрак?
14. Облаците се Негови завеса, така што не гледа, туку само оди по небесниот кург.
15. Зар ти не одиш по патот на старите, по кој оделе беззакониците,
16. а кои предвреме беа истребени, кога водата се беше разлеала под основите нивни?
17. Тие му велеа на Бога: ‘отстрани се од нас! Што ке ни направи Вседржителот?‘
18. Он ги полнеше со богатство куките нивни. - Но далеку да е од мене советот на нечестивите!
19. Ќе видат праведници и ке се радуваат, а непорочните ке им се потсмеваат.
20. Зар не пропадна имотот нивни, а остатокот оган го гори.
21. Зближи се со Него - и ке бидеш спокоен; преку тоа ке ти дојде доброто.
22. Прими го од устата Негова законот и стави ги зборовите Негови во срцето свое.
23. Ако се обрнеш кон Вседржителот, одново ке се средиш; ке го отстраниш беззаконието од шаторот свој
24. и ке ја фрлиш драгоценоста во прав, и по поточните камења - офирско злато.
25. Вседржителот ке биде за тебе помошник, ке те направи чист како блескаво сребро.
26. Зашто тогаш ке се радуваш за Вседржителот, ке го кренеш лицето свое кон Бога.
27. Ќе Му се молиш, и Он ке те чуе, и ти ке ги исполниш заветите свои.
28. Ќе наумиш нешто, и тоа ке се исполни, над твоите патишта ке свети светлина.
29. Кога некој ке биде понизен, ке речеш: ‘угоре!‘ и Он ке го спаси оној со наведнатото лице;
30. ке го спаси и виновниот; а ке го спаси преку чистотата на твоите раце.'

Глава 23

1. Одговори Јоф и рече:
2. 'Дури и сега зборот мој е горчлив, страдањата мои се потешки од воздишките мои.
3. О, да знаев како да Го најдам, да можев да се приближам до престолот Негов!
4. Би го изложил пред Него моето дело и би ја наполнил устата своја со оправдание;
5. ке ги дознаев зборовите, со кои Он ми говореше, ке разберев што ке ми кажеше.
6. Зар Он, Сесилниот, би зел да се спори со мене? О, не! Туку би ми помогнал.
7. Тогаш праведникот би можел да се оправда пред Него, - и јас засекогаш би се ослободил од својот Судија.
8. Но, ете, јас одам напред - а Него Го нема, назад се вракам - и не Го нао ам;
9. врши ли Он нешто на левата страна, јас не Го гледам.
10. Но, ако го знае патот мој, нека ме испита, - ке излезам како злато.
11. Ногата моја здраво се држи за патеките Негови; патиштата Негови ги пазев и не се отстранував.
12. Од заповедите на устата Негова не отстапував; зборовите на устата Негова ги пазев повеке отколку моите правила.
13. Но Он е силен; кој ке Го отстрани? Он го прави она што го сака душата Негова.
14. Он ке го направи она што го наумил за мене, слично на тоа во Него има многу.
15. Затоа јас треперам пред лицето Негово; кога мислам за тоа - се плашам од Него.
16. Бог ме обесхрабри, Седржителот ме уплаши.
17. Зошто не сум уништен пред оваа темнина? Зошто со мрак го прекри лицето мое!'

Глава 24

1. 'Зошто не се сокриени од Вседржителот времињата? И оние, кои Го знаат, не ги гледаат дните Негови?
2. Безбожниците поместуваат ме и, ограбуваат стада и си ги пасат,
3. од сираците одземаат осел, од вдовица вол - за залог;
4. сиромаси истуркуваат по патот, сите понизени се принудени да се кријат од нив.
5. Ете, како диви осли во пустиња, излегуваат тие по работата своја, стануваат рано за грабеж; пустињата им дава леб за нив и за децата нивни;
6. жнеат по ту и ниви, и берат грозје во ту и лозја;
7. многу голи нокеваат без покрив и без облека на студ;
8. наводенети од горски дождови и, немајки прибежиште, се притискаат до карпи;
9. раздвојуваат сираче од градите на мајката и земаат залог од сиромав;
10. ги тераат да одат голи, без облека, и они што носат снопови - ги оставаат да гладуваат;
11. оние што маслиновиот елеј им го цедат, они што грозје во кацитe нивни гмечат - ги измачуваат со жед.
12. Во градот лу ето офкаат и душата на убиваните вика, и Бог не го забранува тоа.
13. Тие и се противат на светлината, не ги знаат патиштата нејзини и не одат по патеките нејзини.
14. На разденување станува убиецот, убива сиромав и беден, а ноке е крадец.
15. И окото на прељубникот чека да се стемни, велејки: ‘ничие око нема да види,‘ - и го покрива лицето свое.
16. Во темнината се провираат под куките, оние што дење ги забележиле; не знаат за светлина.
17. Утрото за нив е смртна сенка, бидејки им се позанти ужасите на смртната сенка.
18. Лесен е таквиот на водната површина, проклет е делот негов на земјата, и не го гледа патот кон лозјата.
19. Како што сушата и горештината ја голтаат снежната вода; така пеколот ги голта грешниците.
20. Нека го заборави утробата мајчина; нека биде храна за црвите; нека не остане помен за него; како дрво ке се крши беззаконикот;
21. оној кој угнетува бездетна, и на вдовица не и прави добро.
22. Тие и силните ги ограбуваат со својата сила; остане ли некој, нема надеж за животот свој.
23. Бог им дава во што да се надеваат, но Неговите очи ги гледаат нивните патишта.
24. Се креваат високо, - и, ете, веке ги нема; па аат и умираат, како и сите, и како врвовите на класовите се кршат.
25. Ако тоа не е така, - кој ке ме изобличи за лагата и кој ке ги претвори во ништо зборовите мои?'

Глава 25

1. Проговори пак Вилдад од Сува и рече:
2. 'Власт и страв има во Него; Он создава мир во Своите висини!
3. Имаат ли број Неговите војски? И врз кого не изгрева светлината Негова?
4. И како може човекот да биде прав пред Бога? Како да биде чист родениот од жена?
5. Ете, дури и месечината, и таа не е светла, и ѕвездите се нечисти пред очите Негови.
6. А камоли човекот, кој е црв, и синот човечки, кој е молец.'

Глава 26

1. Одговори на тоа Јов и рече:
2. 'Како му помогна Ти на бессилниот, како ја поддржа мишката на слабиот!
3. Каков совет му даде Ти на немудриот и како наполно ја објасни целата работа!
4. Кому му ги кажуваше тие зборови? Чиј дух излегуваше од Тебе?
5. Исполините трептат под водите, и по оние што живеат во нив.
6. Пеколот е откриен пред Него, и нема покривка над пеколот.
7. Го послал Он северот над празнината, ја закачил земјата на ништо.
8. Он ги заклучува водите во облаците Свои, и облакот под нив не се отвора.
9. Го поставил престолот Свој и го распнал над него Својот облак.
10. Ставил црта над водната површина додека не дојде крајот на светлината и темнината.
11. Столбовите небески се тресат и трепетат од силата Негова.
12. Со силата Своја го бранува морето и со разумот Свој го поразува беснеењето негово.
13. Неговиот Дух му дал велелепност на небото; раката Негова ја создала змијата што ползи.
14. Ете, тоа се делови од патиштата Негови; а колку малку сме слушале за Него! И кој може да го разбере громот на Неговата моќ?'

Глава 27

1. Го продолжи Јов својот возвишен збор и рече:
2. 'Жив е Бог, Кој ме лиши од студ, и Вседржителот, Кој ја огорчи душата моја,
3. зашто, додека уште здивот мој е во мене и духот Божји во ноздрите мои,
4. устата моја нема да проговори неправда и јазикот мој нема да искаже лага!
5. Далеку од мене да ве признаам за справедливи; додека не умрам, нема да отстапам од својата справедливост.
6. Цврсто ја држев правдата своја и нема да ја пуштам; нема да ме прекори срцето мое во сите денови мои.
7. Непријателот мој ке биде како безбожник, и оној што станува против мене - како беззаконик.
8. Зашто, каква надеж за лицемерниот, кога Бог ке ја земе, кога ке ја истргне душата негова?
9. Ќе го чуе ли Бог викањето негово, кога ке го снајде невоља?
10. Ќе се утешува ли тој со Вседржителот и ке Го повикува ли Бога во секое време?
11. Ќе ви кажем што има во раката Божја; нема да сокријам што има кај Вседржителот.
12. Ете, сите сами видовте; па зошто толку празни зборови кажувате?
13. Ете, тоа е делот од Бога за беззаконикот и наследство кое насилниците го добиваат од Вседржителот.
14. Ако синовите негови се умножуваат за меч; потомците негови нема да се наситат со леб.
15. Оние што ке останат по него смртта ке ги турне во гроб, вдовиците нивни нема да плачат по нив.
16. Да натрупа и сребро како прав и да приготви многу облека,
17. тој ке приготви, но ке се облекува праведникот, а непорочниот ке го добие среброто како свој дел.
18. Си гради кука како молец и како чувар си прави колиба;
19. лиегнува да спие богат, и не станува таков; отвора очи, и не е повеке тој.
20. ужаси како голема вода ке го стигнат; ноке ке го грабне луња.
21. Ќе го крене источниот ветар и виор ке го понесе, и брзо ке го однесе од местото негово.
22. Бог ке го допушти тоа врз него и нема да го пожали, колку и да се труди да избега од рацете Негови.
23. Ќе заплескаат со рацете по него и ке му потсвирнат од местото негово!'

Глава 28

1. 'И така, среброто си има исходна жила, и златото - место, каде што го пречистуваат.
2. Железото се добива од земјата; од камен се претопува бакар.
3. Човекот определува предели во темнината и грижливо бара камен во мракот и во смртната сенка.
4. Ископуваат рудокопен извор во места, недостапни за нога, нишајки се висат далеку од лу ето.
5. Од земјата никнува жито, а под неа се е испревртено, како оган.
6. Во камењата нејзини има место за сафир, во нив има и златни зрнца.
7. Патеката за таму граблива птица не ја знае, јастребовото око не ја видело;
8. ѕверки мали не ја газеле, и не одле по неа лав.
9. Не гранит ја става човек раката своја, од дното превртува гори;
10. во карпи пресечува извори, и окото негово гледа се што е скапоцено;
11. го запира текот на реките и сокриеното го вади на видело.
12. Но каде се нао а мудриста, и каде е местото на разумот?
13. Не ја знае човекот цената нејзина, ниту се нао а по земјата на живите.
14. Бездната вели: - не е во мене таа: - и морето вели: - не е кај мене -.
15. Таа не се дава за злато и не се добива за измерено сребро;
16. таа не се оценува со офирско злато, ниту со скапоцен оникс, ниту со сафир;
17. не се споредува со неа злато и кристал; нема да ја размениш со садови од чисто злато.
18. А за корал и бисер нема што ни да се спомнува, зашто здобивање со мудрост чини повеке од рубини.
19. Со неа не се изедначува етиопскиот топаз; со чисто злато таа не се оценува.
20. Од каде, всушност, излегува мудроста? Каде е местото на разумот?
21. Сокриена е таа од очите на се што е живо и притаена е од птиците небески.
22. Погубноста и смртта велат: ‘со ушите свои го чувме мрморењето за неа.‘
23. Бог го знае патот нејзин; Он го познава местото нејзино.
24. Зашто Он гледа до крајот на земјата и гледа под целото небо.
25. Кога Он му даваше на верерот мерка и ја наместуваше водата по мера,
26. кога му даваше наредби на дождот и пат на громоносната молња,
27. уште тогаш Он ја виде и ја објави, ја приготви и уште ја испита.
28. А на човекот му рече: 'Ете, стравот Господов е вистинска мудрост, а одбегнувањето од зло е разумот.'

Глава 29

1. Го продолжи Јов својот возвишен збор и рече:
2. 'О, да бев, како во поранешните месеци, како во оние денови, кога Бог ме пазеше,
3. кога светилото Негово светеше над главата моја, и под Неговата светлина одев среде темнина;
4. како што бев во деновите на своите млади години, кога милоста Божја беше над шаторот мој,
5. кога Вседржителот уште беше со мене, и децата мои околу мене,
6. кога патиштата мои се облеваа со кравјо масло, а горите мои лееја млеко,
7. кога излегував пред градските порти и го поставував седиштето мое на плоштадот, -
8. младите, кога ке ме здогледаа, се оттргнуваа, а старците стануваа и стоеја;
9. кнезовите се воздржуваат да говорат и ставаа прст на устата своја;
10. гласот на првенците замолкннуваше, јазикот им се залепуваше за непцата нивни.
11. Уво, што ке ме чуеше, ме ублажуваше; око, што ке ме видеше, ме восфалуваше,
12. зашто јас го спасував страдалникот што викаше и беспомошниот сирак.
13. Врз мене доа аше благословот на оној што пропа аше; на вдовичиното срце му донесував радост.
14. Се облекував во правда, и судот ми беше како наметка, како мантија и превез.
15. Јас бев очи на слепиот и нозе на хромиот;
16. за сиромасите бев татко и внимателно ја проучував поплаката, која не ја знаев.
17. На беззаконикот му ги кршев забите, и од забите му го истргнував украденото.
18. Па си велев: ‘Ке свршам во гнездото свое, и дните мои ке бидат многу - како песокта.‘
19. Коренот мој беше покрај вода, росата нокеваше на гранките мои;
20. славата моја се подмладуваше, и лакот мој стануваше појак во раката моја.
21. Ме слушаа и чекаа; и не мрмореа на советот мој.
22. По моите зборови веке не расудуваа; зборот мој ги натопуваше нив.
23. Ме очекуваа како дожд; ја отвораа устата како за задоцнет дожд.
24. Се случуваше, ке им се насмевнев, - тие не веруваа; и светлината на лицето мое не ја замрачуваа.
25. Кога одев кај нив, седев не чело; и живеев како цар ме у војници, како утешител на оние што плачат.'

Глава 30

1. 'А сега ми се потсмевнуваат помладите од мене, оние, чии татковци не би се согласил да ги ставам со кучињата на стадата свои.
2. И за што ми е силата на нивните раце? Над нив помина веке времето.
3. Истоштени од сиромаштија и глад, тие бегаа во рамнина безводна, темна и запустена;
4. Береа лобода кај дабовите дрвја, и смрекови корења им беа храна.
5. Ги гонеа лу ето и викаа по нив како по крадци.
6. Живееја во поточни долови, земни дупки и пештери.
7. Викаа ме у грмушките, се вовираа под трњето.
8. Лу е отфрлени, лу е безимени; подолни од земјата.
9. Ете, ним им станав јас сега песна и приказ за разговорот нивни.
10. Тие се гадат од мене, ме одбегнуваат и не се воздржуваат дури и да плукаат на мене.
11. Затоа што Бог ми ја одврза торбата за стрели и ме сотре; тие ја симнаа од себеси уздата пред лицето мое.
12. Оддесно се крева тој изрод, со нозете свои ми го стеснија патот за да ме погубат.
13. А мојот пат го разрушија; ги умножија моите маки; не ми е потребен помошник.
14. Доа аат кај мене како низ широк пролом; шумно се нафрлуваат врз мене.
15. Ужасно ме сполетаа; како ветар се расеа моето величие, и доброто мое одмина како облак.
16. Сега душата ми се топи во мене; мачни денови ме налегнаа.
17. Ноке ме вртат коските мои, жилите ми немаат мир.
18. Со голема мака се соблекува од мене облеката моја; јаката на мојот хитон ме задавува.
19. Он ме фрли во калта; станав како прав и пепел.
20. Викам кон Тебе, и Ти не ме слушаш, - стојам, а Ти само ме гледаш.
21. Ти стана жесток спрема мене, со силна рака ме поарзуваш.
22. Ти ме крена и ме натера да се носам по ветар и ме сотираш.
23. Знам, дека Ти ке ме дотераш до смрт, во домот каде што се собираат сите живи.
24. Вистина, Он нема да пружи рака врз домот на коските; ке викаат ли тие, кога ке бидат уништувани?
25. Зар не сум плачел за оној што беше во зло, дури чекав светлина, дојде темнина.
26. Додека го чекав доброто, дојде злото дури чекав светлина, дојде темнина.
27. Утробата моја врие без престан и не се смирува; мачни денови ми наидоа.
28. Одам поцрнет, но не од сонце; станувам во собранието и викам.
29. Станав брат на шакалите и пријател на нојевите.
30. Кожата ми поцрне на мене, а коските ми се исушија од горештина.
31. И гуслето ми стана тага, и свирките мои - глас плачевен.'

Глава 31

1. 'Завет направив со очите свои, за да не погледнам на девица.
2. Но каков дел би имал од Бога одозгора? И какво наследство ми испратил Седржителот од небесата?
3. Не ли е за нечесниот погибелта? Нели е за безбожникот пропаста?
4. Не ги виде ли Он патиштата мои и не ги брои ли сите мои чекори?
5. Ако одев во суета, и ако ногата моја брзаше кон лукавство, -
6. нека ме измерат со мерката на правдата, и Бог ке ја дознае мојата непорочност.
7. Ако стапките мои се отстранувале од патот, ако срцето мое ги следело очите мои, и ако нешто нечисто се залепило за рацете мои,
8. јас нека сејам, а друг да јаде, и потомците мои искоренети да бидат.
9. Ако срцето мое се занесувало од жена и ако сум демнел крај вратата на ближниот свој,
10. жената моја нека му меле на друг, и друг нека се подигрува со неа,
11. зашто тоа е престап, тоа е беззаконие, кое подлежи на суд;
12. тоа е оган, што гори до истребување, што би го уништил целиот мој имот.
13. Ако не водев грижа за правата на слугата и на слугинката, кога имаа спор со мене,
14. што ке правев, ако се кренеше Бог? И ако ме испитуваше, што ке можев да Му одговорам?
15. Нели Он, Кој ме создал мене во утробата, го создал и него и еднакво не обликувал во утробата?
16. Сум ја откажал ли молбата на оној што имал потеба, и сум ги просолзувал ли очите на вдовица?
17. Сам ли го јадев залакот свој, нели јадеше и сиракот од него?
18. Зашто од детството растел тој со мене како со татко, и од утробата на мајката негова сум го раководел јас.
19. Ако видев некој дека загинува без облека и сиромав без покрив, -
20. бедрате негови нели ме благословуваа и тој не ли биваше стопле со волната од овците мои?
21. Ако сум кренал рака врз сирак, кога ке видев, дека имам потпора пред портите,
22. рамото мое нека се оддели од грбот и раката моја нека се откине од лактот,
23. зашто казната од Бога е страшна за мене: пред Неговото величие јас не би можел да опстанам.
24. Сум го земал ли златото за моја потпора и сум велел ли на ризницата: ‘ти си моја надеж‘?
25. Сум се радувал ли дека богатството ми беше големо и дека раката моја спечалилa многу?
26. Гледајки го сонцето, како свети, и месечината, како величествено оди,
27. се занесував ли во длабочините на срцето свое и ја бакнував ли со уста раката своја?
28. Тоа ке беше исто така престап за суд, зашто тогаш би се откажал од Бога Севишниот.
29. Се радував ли за невољата на непријателот мој и се веселев ли кога го снао аше зло?
30. Не и дозволував на устата моја да греши со проколнување на душата негова.
31. Не велеа ли лу ето од мојот шатор: ‘О, кој не се наситувал од неговите месни гозби?‘
32. Ту инец не нокеваше не улица; вратата своја ја отварав на патникот.
33. Да ги криев грешките свои пред лу ето и ако ги таев во градите своите престапи,
34. ке се плашев од големото мноштво, и од најмалиот во домот мој ке имав страв, па затоа молчев и не излегува надвор од вратата.
35. О, да имаше кој да ме ислуша! Еве ја мојата желба: Вседржителот да ми одговори, а заштитникот мој да состави запис за тоа;
36. ке го носев на рамениците мои и ке се украсував со него како со венец;
37. ке му го соопштев бројот на чекорите свои, ке се приближев до него како кнез.
38. Ако нивите мои викаа против мене, ако браздите нивни се поплакуваа од мене,
39. ако сум им ги јадел плодовите нивни бесплатно и сум ја измачувал душата на земјоделците,

40. тогаш место жито нека расте трње и место јачмен - какол.' Зборовите Јовови свршија.

Глава 32

1. Кога тие тројца мажи престанаа да му одговараат на Јова, бидејки пред очите нивни беше прав.
2. Се разгори гневот на Елијуја, сен Варахиилов, од Вуз, од Рамовиот род; се разгоре гневот негов против Јова, поради тоа што тој се правеше поправеден од Бога;
3. а против тројцата негови пријатели се разгоре гневот негов затоа што тие не знаеја, што да одговорат, а пак го обвинуваа Јова.
4. Елијуј чекаше додека тие говореа со Јова, зашто по години беа постари од него.
5. А кога Елијуј виде оти нема одговор во устата на тројцата мажи, гневот негов се разгоре.
6. И одговори Елијуј, син Варахиилов, од Вуз, и рече: 'Јас сум млад по години, а вие сте старци; затоа јас се плашев и не се осмелував да ви го кажам моето мислење.
7. Јас си велев: нека говорат дните и многулетието нека поучува во мудрост.
8. Но има дух во човекот, и духот на Седржителот го вразумува.
9. Не само многулетните се мудри, ниту само старците знаат што е право.
10. Затоа велам: ислушајте ме, ке ви го кажам и јас моето мислење.
11. Ете, чекав вие да се искажете, го слушав вашето расудување, додека вие говоревте.
12. Внимателно ве следев, и никој од вас не го изобличи Јова и не одговори на зборовите негови.
13. Немојте да речете: ‘ние наидовме на мудрост: Бог ке го убеди, а човекот не може.‘
14. Ако тој ги упатуваше зборовите свои кон мене, јас ке му одговорев не со вашите зборови.
15. Се исплашија повеке не говорат; се збунија, престанаа да зборуваат.
16. Чекав, а тие пак не говореа, престанаа и повеке не зборуваа.
17. Јас ке говорам за се, јас ке го кажам мислењето свое.
18. Затоа што сум полн со зборови, и духот ме притиска одвнатре.
19. Ете, утробата моја, како затворено вино: готова е да прсне како нови мевови.
20. Ḱе позборувам, за да ми се олесни; ке си ја отворам устата и ке одговорам.
21. Нема да гледам кој е кој и на никого нема да му ласкам,
22. зашто не умеам да ласкам: за миг Создателот мој би ме зел.'

Глава 33

1. 'И така, слушај ги Јове, зборовите мои и внимавај на сите мои зборови.
2. Еве, ја отварам устата своја, јазикот ми говори во устата моја.
3. Зборовите мои се искрени од срцето мое, и устата моја ке искаже чиста вистина.
4. Духот Божји ме создал, и здивот на Вседржителот ми дал живот.
5. Ако можеш, одговори ми и застани спроти мене.
6. Еве ме мене, според твојата желба, место Бога. И јас сум направен од кал;
7. поради тоа стравот пред мене не може да те збуни, и раката моја нема да биде тешка за тебе.
8. Ти рече пред мене, и јас го чув гласот на твоите зборови:
9. ‘Чист сум, без порок, невин сум; во мене нема неправда;
10. А Он најде обвинение против мене и ме смета за Свој противник;
11. нозете ми ги стави на клада, ги надгледува сите мои патишта.‘
12. Ете, во тоа ти не си прав, ти одговарам; човекот со Бога не може да се мери.
13. Зошто ти е да се бориш против Него? Он не дава сметка за Своите дела.
14. Бог говори еднаш и двапати, но лу ето не внимаваат:
15. на сон, во нокно видение, кога сонот ги соборува лу ето, во време, кога спијат на своето легло,
16. тогаш Он му отвора на човекот увото и го запечатува Своето кажување.
17. за да го одвлече човекот од лошо дело, и да ја отстрани гордоста од него.
18. за да ја запази душата негова од бездна, и животот негов од пораз со меч.
19. Или, пак, го вразумува со болест на постелата негова, и со лута болка во сите коски негови, -
20. така што животот негов да се гади од лебот, душата негова од обичната храна.
21. Телото негово исчезнува; коските негови се подаваат, кои пред тоа не се гледале.
22. Душата негова се приближува кон гробот, а животот негов - до смртта.
23. Ако има кај него Ангел пазител, еден од иљада, за да му го покажува правиот пат, -
24. Бог би се смилувал над него и би рекол: ‘Ослободи го од гробот; јас најдов откуп.‘
25. Тогаш телото негово ке се подмлади повеке, отколку во млади години; и тој ке се врати во дните на младите свои години.
26. Ке Му се моли на Бога, и Он ке биде милостив спрема него; со радост ке го погледнува лицето негово и ке му ја враka праведноста негова.
27. Тој ке ги гледа лу ето и ке вели: ‘сум грешел и сум ја обвинувал правдата, и не ми се помогна;
28. Бог ја ослободи душата моја од гроб; животот мој гледа светлина.‘
29. Ете, сето тоа Бог му го врши два до трипати на човекот,
30. за да ја изведе душата негова од бездната и да го просвети со светлината на живите.
31. Внимавај, Јова, слушај ме, молчи, јас ке зборувам.
32. Ако имаш нешто да кажеш, одговарај; говори, зашто би сакал да те оправдам;
33. ако, пак, не тогаш слушај ме: молчи и јас ке те научам на мудрост.'

Глава 34

1. Продолжи Елијуј и рече:
2. 'Ислушајте го, мудри, зборот мој, и прикоонете го увото кон мене, разумни!
3. Зашто увото ги разбира зборовите, како што непцата го разликуваат вкусот на храната.
4. Да расудиме ме у себеси што е право и да познаеме што е добро.
5. Ете, Јов рече: ‘јас сум прав, но Бог ја отфрли мојата правда.
6. Треба ли да лажам против својата правда? Раната ми е неизлечива - рана без вина.‘
7. Има ли човек како Јова, којшто ги пие подигравките како вода,
8. кој другарува со оние што вршат беззаконие и оди со безбожни лу е?
9. Зашто тој беше рекол: - нема полза за човека да му угодува на Бога. -
10. И така, чујте ме, лу е разумни! Не може да има кај Бога зло или кај Вседржителот неправда.
11. Он постапува со човекот според делата негови и му помага да го најде патот свој.
12. Навистина, Бог не прави зло и Вседржителот не суди криво.
13. Кој, освен Него, размислува за земјата? И кој управува со вселената?
14. Ако Он го свртеше срцето Свое кон Себе и го земеше при Себе нејзиниот дух и нејзиното дишење, -
15. за миг ке загинеше секоја плот и човекот ке се вратеше во правот.
16. И така, ако имаш разум, чуј го ова и внимавај на зборовите мои.
17. Кој ја мрази правдата, може ли да господари? И можеш ли ти да Го обвинуваш Сеправедниот?
18. Може ли да му се каже на царот: ‘ти си никаквец‘, и на кнезовите: ‘вие сте беззаконици?‘
19. Но Бог не гледа и на лицата на кнезовите и не цени богат пред сиромав, зашто сите тие се дело на раката Негова.
20. Тие умираат ненадејно, и среде нок народот ке се вознемири и ке исчезне;
21. зашто неговите очи се над патиштата на човекот; Он ги гледа сите чекори негови.
22. Нема темнина, ниту смртна сенка, каде што би можеле да се сокријат оние што вршат беззаконие.
23. Никому не му го одложува времето кога ке му дојде да се суди со него.
24. Он ги уништува силните без испитување и поставува други на нивните места,
25. зашто Он ги знае нивните дела; кога настане нок - веке ги нема.
26. Ги поразува како беззаконици пред очите на другите,
27. поради тоа што отстапиле од Него и не ги разбрале Неговите патишта,
28. така што дојде до Него повикот од сиромасите, го слушна офкањето на угнетените.
29. Ако даде Он мир, кој може да вознемири? Ако го сокрие лицето Свое, кој може да Го види? А тоа бива за сиот народ и за еден човек,
30. за да не царува лицемерниот над народот и да нема стапица за народот.
31. На Бога треба да Му се каже: 'Претрпев, нема повеке да грешам.
32. А она што јас не знам научи ме; ако сум направи беззаконие, нема повеке да правам.'
33. Според твоето ли разбирање Он треба да плака? И бидејки ти отфрлуваш, на тебе останува да избираш, а не на мене; зборувај се што знаеш.
34. Умните лу е ке го кажат истото; мудрите ке се согласат со мене,
35. дека Јов умно не зборува и дека зборовите негови не се разумни.
36. Би сакал јас Јов наполно да биде испитан, според одговорите негови, зашто одговара како лоши лу е.
37. Инаку, кон гревот свој додава уште и беззаконие, плеска со рацете ме у нас и уште повеке ке говори против Бога.'

Глава 35

1. Продолжи пак Елијуј и рече:
2. 'Мислиме ли дека е право тоа што рече: ‘мојата правда е поголема од Божјата?‘
3. Ти рече: ‘каква полза за мене и каква корист ке имам, ако не грешам?‘
4. Јас Ке ти одговорам и на тебе и на твоите пријатели:
5. Погледај кон небото и види; загледај се во облаците - тие се повисоки од тебе.
6. Ако грешиш, што ке Му направиш Нему? И ако товите престапи се умножуваат, што Му причинуваш Нему?
7. Ако си праведен, што Му даваш? Или што ке добие од раката твоја?
8. Твоајта нечесност може да му направи лошо на човекот како тебе; а твојата праведност може да му помогне на синот човечки.
9. Он многу насилници офкаат угнетените и од рацете на силните пиштат;
10. но никој не вели: ‘каде е Бог, мојот Создател, Кој дава песни ноке,
11. Кој не прави поразумни од земниот добиток и помудри од птиците небески?‘
12. Таму тие пиштат, поради гордоста на лошите лу е, но Он не ги услишува.
13. Бог не ги слуша гордите, и Вседржителот не гледа на нив.
14. Макар и да велиш дека не Го гледаш, но судот е пред Него, и - очекувај го.
15. А сега, бидејки гневот Негов те посети, а тоа не е ништо и Он не те испита со сета строгост,
16. затоа, Јов, лесномислено ја отвора устата своја и без размислување, неразумно говори.'

Глава 36

1. И пак продолжи Елијуј и рече:
2. 'Стрпи се малку, ке ти покажам, зашто има уште нешто да кажам за Бога.
3. Ќе го почнам зборот мој од далеку и ке ти покажам дека мојот Создател е справедлив,
4. навистина зборовите мои не се лага: пред тебе е оној, кој исправно мисли.
5. Ете, Бог е мокен, но никого не презира; силен е со крепкото срце Свое;
6. не ги поддржува безбожниците, а угнетените ги оправдува;
7. не ги отстранува очите Свои од праведниците, но заедно со царевите ги става засекогаш на престол; и тие се воздигаат.
8. Ако, пак, се оковани во вериги и се држат во оковите на невољата,
9. тогаш им ги напомнува делата нивни и беззаконијата нивни, бидејки се умножиле.
10. Го отвора увото нивно за вразумување, им вели да се оттргнат од беззаконието.
11. Ако послушаат и почнат да Му служат, ке ги поминат дните свои во добро и годините свои во радост;
12. Ако, пак, не послушаат, гинат од стрела и умираат во безумие.
13. Но лицемерните имаат во срцето свое гнев и не се обрнуваат кон Него, кога ги врзува во окови;
14. затоа душата нивна умира во млади години, и животот нивни згаснува со блудници.
15. Он го спасува страдалникот од маката негова и, кога е угнетен, му го отвора увото.
16. И тебе би те извел Он од теснината на широко, каде што нема угнетување; и трпезата твоја би била полна со мрс;
17. Ако си заслужил суд безбожнички, судот веке и осудувањето ке те снајдат.
18. Да не те порази Божјиот гнев со казна! Голем откуп нема да те избави.
19. Нека да гледа на Твоето богатство, ниту на златото, ниту на какво и да било сокровиште твое.
20. Не воздивнувај за онаа нок кога народите се истребуваат на местото свое.
21. Пази се, не подавај се на нечестието, што си претпочитал пред страдањето.
22. Бог е најголем со силата Своја; кој учител, како Него?
23. Кој Му Го одреди патот Негов? Кој може да Му каже: ‘постапуваш ли неправедно?‘
24. Не заборавај да ги величаш делата Негови, кои лу ето ги гледаат.
25. Сите лу е можат да ги видат; човек може да ги види и оддалеку.
26. Ете, Бог е голем, и ние не можеме да Го познаеме; бројот на годините Негови е неиспитан.
27. Он ги стега водните капки; тие лијат дожд врз лу ето.
28. капат од облаците и се изливаат изобилно врз лу ето.
29. И кој може да го разбере ширењето на облаците, трескотот во шаторот Негов?
30. Ете, Он ја распростира врз нив светлината своја и го покрива морското дно.
31. Оттаму Он ги суди народите, дава храна во изобилие.
32. Он крие во дланките Свои мољња и и заповеда кого да удри.
33. Грмењето дава знак да се знае за неа; и добитокот чувствува што станува.'

Глава 37

1. 'И од тоа трепери срцето мое и се крева од местото свое.
2. Чујте, чујте го гласот Негов и громот, што излегува од устата Негова.
3. Под целото небо се разнесува грмежот Негов, и светкавицата Негова - до краиштата на земјата.
4. По Него гром се разгласува; грми Он со гласот на Своето величие и не го запира, кога гласот Негов ке се чуе.
5. Чудно грми Бог со гласот Свој, врши големи дела, за нас недостижни.
6. Зашто Он му вели на снегот: - па ај на земјата; и ситниот и крупниот дожд се во Негова власт.
7. Он става печат врз раката на секој човек, за да ги знаат сите лу е Неговите дела.
8. Тогаш ѕверот оди во прибежиштето и си останува на леглото свое.
9. Од југ доа а бура, од север - студ.
10. Од дувањето Божјо настанува лед: водената површина се собира.
11. Со влага ги полни облаците; а од облаците зрачи светлината Негова,
12. и тие се движат по целата земја според вољата Негова, за да го извршат она што им го заповедал Он.
13. Он им заповеда да отидат или за казна, или за благоволение, или за помилување.
14. Влушај се во ова, Јове; стој и гледај ги чудесните дела Божји.
15. Знаеш ли како Бог ги распоредува и како и заповеда на светлината да болска од Неговиот облак?
16. Ја разбираш ли рамнотежата на облаците, чудното дела на Најсовршениот во секое знаење?
17. Како се стоплува облката твоја кога ја успокојува земјата од југ?
18. Со Него ли го распна небото, кое стои така цврсто како излеано огледало?
19. Научи не што да Му кажеме. Во овој мрак не можеме ништо да распознаеме.
20. Ке му биде ли јавено што зборувам јас? Кажал ли некој, дека Нему Му се соопштува, што е зборувано?
21. Сега не се гледа болскавата светлина во облаците, но ке дувне ветер и ке ги расчисти.
22. Убавото време доа а од север, но во Бога убавината е преголема.
23. Вседржителе! Ние не го достигнуваме. Голем е по сила, по судот и по полнотата на правосудието, но Он никого не го угнетува.
24. Поради тоа нека се плашат пред Него лу ето и нека трепераат пред Него сите мудри по срце!'

Глава 38

1. Кога Елијуј престана да говори, Господ му одговори на Јова од бурата и рече:
2. 'Кој е тој, што замрачува Провидението со зборови без смисла?
3. Препаши ја сега половината своја како маж: Јас ке те прашувам, а ти објаснувај Ми:
4. каде беше ти кога ги поставував основите на земјата? - кажи, ако знаеш.
5. Кој и ги определи мерките? Знаеш ли: кој го оптегнува јажето околу неа?
6. Врз што се зацврстени основите нејзини? Кој и го положи аголниот камен,
7. кога ликуваа утринските ѕвезди, и кога сите Божји синови извикуваа од радост?
8. Кој го затвори морето со врата, кога тоа се истргна, та излезе како од утроба;
9. кога облаците ги направив негова облека и маглата - негова повивка;
10. кога му ја дадов мојата наредба и му наместив клучалки и врата;
11. кога му реков: ‘до тука ке дојдеш и нема да преминуваш, и тука е границата на твоите горди бранови?
12. Си му давал ли ти некогаш во животот свој заповед на утрото и си го посочувал ли на зората местото нејзино,
13. за да ги опфати краиштата на земјата и да ги истресе од неа безбожниците,
14. за да се измени земјата како глина под преса и да стане како разнобојна облека,
15. да се одземе од беззакониците светлината нивна и да се скрши издигнатата рака нивна?
16. Си слегувал ли во длабочината морска и си влегувал ли да ја испитуваш бездната?
17. Се отворале ли пред тебе вратите на смртта; си ја видел ли ти вратата на смртната сенка?
18. Си ја разгледал ли ширината на земјата? Кажи го, ако го знаеш сето тоа.
19. Каде е патот кон живеалиштето на светлината и каде е местото на темнината,
20. за да стигнеш до границите нејзини и да ги знаеш патеките до домот нејзин?
21. Ти го знаеш тоа, зошто тогаш беше веке роден; но бројот на дните твои е мошен голем.
22. Си влегувал ли ти во местата на снегот и си ги видел ли сокровиштата на градот,
23. што Јас ги чувам за смутно време, за денот на битка и војна?
24. По кој пат се разлева светлината и се разнесува источниот ветар по земјата?
25. Кој ги отвора потоците за изливање на водата и патот за грмоносните светкавици,
26. за да па а дожд врз земјата без лу е, врз пустињата, каде што нема човек;
27. за да ја заситува пустињата и степата и да ги разбудува зелените ‘ркулци да никнуваат?
28. Дождот има ли татко? Или кој ги ра а какпите на росата?
29. Од чија утроба излегува мразот; и кој ја ра а небеската слана?
30. Водите како камен да си зацврстуваат, и површината на бездната да замрзнува.
31. Можеш ли да го врзеш јазелот на Плејадата и да ги разврзеш врските на Орион?
32. Можеш ли да го изведуваш Соѕвездието во времето негово и да ја водиш Вечерната ѕвезда?
33. Ги знаеш ли законите на небото, можеш ли да уредиш тоа да владее над земјата?
34. Можеш ли да го кренеш гласот свој до облаците, за да те покрие обилно водата?
35. Можеш ли да испракаш молњи, и да тргнат и да ти речат: ‘еве не?‘
36. Кој вложи мудрост во срцето на човекот, и кој му даде смисла на разумот?
37. Кој може да ги преброи обалците со својата мудрост и да ги задржи садовите од небото,
38. кога правот се претвора во кал и грутките се слепуваат?

Глава 39

1. Ти ли ловиш плен за лавицата и ги наситуваш лавчињата,
2. кога тие лежат во леглата или почиваат под сенка во заседа?
3. Кој и ја приготвува храната на враната кога пиленцата нејзини, скитајки без храна, викаат кон Бога?
4. Го знаеш ли времето, кога дивите кози ра аат по карпите, и си забележувал ли како ра аат срните?
5. Можеш ли да ги преброиш месеците на нивната бременост? И го знаеш ли времето кога ра аат?
6. Тие се превиткуваат, и ра ајки ги малечките свои, се ослободуваат од болките свои.
7. Породот нивни зајакнува, радост е во полето, си оди и не се врака при нив.
8. Кој го пуштил на слобода дивиот осел и кој му ги разврзал врските негови,
9. на кој сум му ја одредил пустињата за дом и соланите - за живеалиште.
10. Тој се потсмева на вревата во градот и не го слуша викањето на терачот,
11. си бара храна по горите и се впушта на секое зелено растение.
12. Ќе сака ли еднорог да ти служи и ќе ноќева ли во твоите јасли?
13. Можеш ли да го врзеш со јаже еднорогот за браздата, и ќе ја браносува ли по тебе нивата?
14. Ќе се потпреш ли на него, бидејќи силата му е голема и ќе му ја оставиш ли нему твојата работа?
15. Ќе му поверуваш ли, дека тој ќе ги врати семињата твои и ќе ги донесе на гумното твое?
16. Ти ли му даде убави пердуви на паунот и крила и мов на нојот?
17. Тој ги остави јајцата свои на земјата и ги топли на песокот,
18. и заборава, дека нога може да ги скрши или полска ѕверка да ги згази;
19. немилостив е спрема малечките свои, како да не се негови, и не се плаши, оти трудот негов ќе биде залуден,
20. зашто Бог не му дал мудрост и не го надарил со разум;
21. а кога ќе се извиши високо, му се потсмева на коњот и на јавачот негов.
22. Ти ли му даде сила на коњот и ти ли го украси вратот негов со грива?
23. Можеш ли да го исплашиш како скакулец? Треперењето на ноздрите негови е ужас;
24. ја рове со нога земјата и се радува на силата своја; оди спроти оружје;
25. се смее на опасноста и не се плаши и не се отстранува од меч.
26. Торба со стрели ѕвечка на грбот негов, болска копјето и топузот;
27. од немир и јарост голта земја и не може да стои при трубен звук;
28. штом ќе засвири трубата, тој вришти и оддалеку ја претчувствува битката, громкиот глас на војводите и викот.
29. Поради твојата мудрост ли фрчи јастребот и ги насочува крилјата свои кон југ?
30. По твојот збор ли се издига орелот и си вие гнездо на високо?
31. Тој живее на карпа и ноќева на врв од стрмнината и на непристапни места;
32. оттаму ја здогледува храната: очите негови гледаат далеку;
33. и малечкте негови пијат крв; каде што има труп, таму е и тој.'
34. Продолжи Господ и му рече на Јова:
35. 'Кој се бори со Вседржителот, ќе сака ли да поучува? Кој Го напа а Бога, нека Му одговори.'
36. Му одговори Јов на Господа и рече:
37. 'Еве, јас сум ништожен, што да Ти одговорам? Раката своја ја ставам на устата моја.
38. Еднаш говорев, - сега нема да одговарам; говорев дури двапати, но повеќе не.'

Глава 40

1. Му одговори Господ на Јова од луњата и му рече:
2. 'Препаши ја како маж половината своја: Јас ке те прашувам, а ти објаснувај Ми.
3. Мојот суд ли сакаш да го собориш, да Ме обвиниш, а себеси да се оправдаш?
4. Таква ли е твојата мишка, како на Бога? И можеш ли како Него да згрмиш со гласот свој?
5. Тогаш украси се со величие и слава, облечи се во болскот и великолепие;
6. излеј ја јароста не гневот свој, погледај се што е гордо и смири го;
7. погледај ги сите поносни и понизи ги, сотри ги безбожниците на местата нивни;
8. закопај ги сите во земја и покри ги лицата нивни со темнина.
9. Тогаш и Јас ке признаам, дека твојата десница може да те спасува.
10. Ете слонот, што сум го создал, како и тебе; тој јаде трева како вол;
11. а силата негова е во бедрата негови, јачината негова е во бедрата негови, јачината негова - во мускулите е на стомакот негов;
12. ја размавтува опашката своја како кедар, а жилите на бедрата негови се како железни стапови;
13. нозете негови изгледаат како бакарни труби; коските негови - како железни прачки;
14. тоа е врвот на Божјите патишта: само Оној Кој го создал, може да го приближи мечот Свој до него;
15. горите негови му принесуваат храна, таму сите полски ѕверови играат;
16. тој си легнува под сенчести дрвја, ме у трски и во глиб;
17. сенчестите дрвја го покриваат со сенката своја; врби крај потоците го опкружуваат;
18. ете, тој ја задржува реката за да пие и не брза; си останува спокоен, дури и кога би посакал Јордан да потече кон устата негова.
19. Ке го фати ли некој јавно и ке му го продупчи ли носот негов со кука?
20. Можеш ли со јадица да извлечеш слон и со врвца да го врзеш за јазикот?
21. Ке вовреш ли алка во ноздрите негови? Ке ја прободеш ли со шило челуста негова?
22. Ке ти се моли ли многу и ке ти говори ли кротко?
23. Ке направи ли договор со тебе, ке го земеш ли засекогаш како слуга свој?
24. Ке се забавуваш ли со него како со птичка, и ке го врзеш ли заради девојченцата свои?
25. Ке го продаваат ли другарите како лов, ке го делат ли ме у хананејските трговци?
26. Можеш ли да му ја продупчиш кожата негова со копје и главата негова со рибарска вила?
27. Стави ја на него раката своја и помни за борбата; оти во иднина не ке смееш.'
28. 'Ете, надежта е суетна. Нема ли да паднеш само од еден негов поглед?

Глава 41

1. Нема толку силен кој би се осмелил да Ме обеспокои; и кој може да опстане пред Моето лице?
2. Кој Ми дал нешто порано, та Јас да му вратам? Под целото небо се е Мое.
3. Нема да премолчам за деловите негови, за силата и нејзината убава сразмерност.
4. Кој може да ја одгрне горната облека негова, кој ке се приближи до двојните челусти негови?
5. Кој може да ја отвори вратата на лицето негово? Забите негови наоколу се ужас.
6. јаките штитови негови - великолепие; тие се зацврстени како со тврд печат;
7. еден до друг се допираат толку блиску, така што и воздух не минува ме у нив;
8. еден до друг стојат збиени, слепени се и не се размесуваат.
9. Кога кива, испушта светлина; очите му се како зраци на зората:
10. од устата негова излегуваат пламени јазици, излегуваат огнени искри;
11. од ноздрите негови излегува пара, како од зовриено грне или котел.
12. Здивот негов е разгорен јаглен, а од устата негова излегува пламен.
13. На вратот негов сила престојува, и пред него ужас трча.
14. Месестите делови на телото му се сплотени силно ме у себе, не мрдаат.
15. Срцето му е цврсто како камен, кораво како долен воденички камен.
16. Кога се подига, јунаци треперат, сосема се губат од ужас.
17. Кој меч ке се допре до него, не издржува; не издржува ни копје, ни кратко копје, ни оклоп.
18. Железото го смета за слама, бакарот - за гнило дрво.
19. Стрелата ни лакот нема да го подгони; камењата од пракката во плева се претвораат за него.
20. Боздоганот за него е како сламка; над пиштењето од стрелата тој се смее.
21. Под него има остри камења, и тој лежи врз остри камења во калта.
22. Он прави морската длабочина да врие како котел, морето го претвора во зовриена маст;
23. зад себе остава светла трага; бездната избледа како бело руно.
24. На земјата нема сличен на него: он е создаден бестрашен;
25. на се, што е високо, гледа смело; он е цар над сите синови на гордоста.

Глава 42

1. Му одговори Јов на Господа и рече:
2. 'Знам, дека Ти се можеш, и дека намерата Твоја не може да биде неизвршена.
3. Кој е тој, што го помрачува Провидението - со зборови што не ги разбира? Ете, јас го говорев она што не го разбирав, за чудни дела, што не можев да ги знам.
4. Послушај ме, викав јас, и ке говорам, и што ке Те прашам, објасни ми го.
5. Бев слушал за Тебе со слухот на увото; сега, пак, очите мои Те гледаат;
6. затоа јас се откажувам и се покајувам во прав и пепел.'
7. И потоа, откако Господ му ги изговори на Јова овие зборови, му рече на Елифаза од Темна: 'Се разгоре гневот Мој против тебе и против двајцата другари твои, затоа што не зборувавте за Мене вистина, како Мојот слуга Јов.
8. Затоа, земете си со себе седум телиња и седум овни, па одете кај Мојот слуга Јов и принесете си за себеси жртва; и Мојот слуга Јов ке се помоли за вас, зашто само неговото лице ке го примам, за да не ве отфрлам, поради тоа што не говоревте за Мене вистина, како слугата Јов.
9. И отидоа Елифаз од Темна, Вилдад од Сува и Софар од Нам, и направија како што им заповеда Господ, - а Господ го прими лицето Јовово.
10. Му ја врати Господ на Јова загубата, кога тој се помоли за пријателите свои; и му даде Господ на Јова двојно повеке од она што го имаше пред тоа.
11. Тогаш дојдоа при него сите негови брака и сите негови сестри и сите негови поранешни познати, па јадеа со него леб во куката негова и му изјавија сочувство, утешувајки го за сето зло, што Господ го беше допуштил врз него, и секој му даде по еден сребреник и по еден златен прстен.
12. И ги благослови Бог последните денови на Јова повеке од напрешните: тој имаше четиринаесет иљади дробен добиток, шест иљади камили, иљада чифта волови и иљада ослици.
13. Имаше и седум синови и три керки.
14. Првата ја именува Емина, втората - Касија, а третата - Керенкапух.
15. По целата земја немаше такви убави жени, како Јововите керки; татко им и ним им даде наследство ме у браката нивни.
16. По ова, Јов живееше сто и четириесет години и доживеа да види синови и внуци до четвртото колено.
17. Умре Јов стар и сит од животот.

# Псалми

Псалм 1

1. Блажен е оној, што не оди на советот безбожнички, не застанува на пат на грешници и не седи во друштво на развратници,
2. па му омилел законот на Господа и во законот Негов дење и ноке се поучува;
3. тој е како дрво посадено крај воден извор, кое својот род го дава навреме, и чиј лист не вене; и во се што прави, напредува.
4. Но не се такви безбожниците; тие се како прав, што го растура ветар по земјата.
5. Затоа безбожниците нема да се одржат на судот, ниту грешниците - во соборот на праведниците.
6. Зашто Господ го знае патот на праведниците; патот, пак, безбожнички води во погибел.

Псалм 2

1. Зошто се бунат народите, и племињата смислуваат лоши работи?
2. Се креваат царевите земски, и кнезовите се собираат заедно против Господа и Неговиот Помазаник.
3. 'Да ги раскинеме врските нивни и да го отфрлиме од себе јаремот нивни.'
4. Оној, Кој живее на небесата, ке им се смее и Господ ке ги исмее.
5. Тогаш во гневот Свој ке им говори и со јароста Своја ке ги збуни:
6. 'Јас го помазав Царот Свој на Сион, на Мојата Света Гора.'
7. Ќе го кажам определението - Господ Ми рече: 'Ти си Син Мој, Јас денес Те родив.'
8. И побарај од Мане, и ке Ти ги дадам народите во Твое наследство, и краиштата на замјата - во Твоја власт.
9. Ти ке ги пасеш со желзен жезал; ке ги разбиваш како грнчарски сад.'
10. И сега цареви, вразумете се; поучете се, судии земни!
11. Служете Му на Господа со страв и радувајте се со трепет.
12. Почитувајте го Синот, та да не се разгневи, и на патот свој да не погинете; зашто Неговиот гнев брзо ке се разгори. Блажени се сите, кои на Него се надеваат.

Псалм 3

1. Господи, колку многу се намножија непријателите мои! Мнозина се креваат против мене;
2. мнозина велат за душата моја: нема спас за него во Бога.
3. Но Ти, Господи, си застапник мој, слава моја; Ти ја подигаш главата моја.
4. Со гласот свој викам кон Господ, и Он ме слуша од Својата Света Гора.
5. Легнувам, спијам и станувам, оти Господ ме чува.
6. Не се плашам од многу иљади лу е, што од сите страни навалиле на мене.
7. Стани Господи! Спаси ме, Боже мој! Зашто Ти ги поразуваш сите мои непријатели и им ги здробуваш забите на грешниците.
8. Од Господа е спасението. Твојот благослов нека биде на народот Твој.

Псалм 4

1. Кога викам, чуј ме, Боже, правдо моја! Во маката моја дај ми простор. Помилуј ме и услиши ја молитвата моја.
2. Синовите човечки, до кога ке бидете со тврдо срце; до кога ке сакате суета и ке барате лага?
3. Знајте дека Господ го запазил Својот светија; Господ слуша кога викам кон Него.
4. Не грешете, гневејки се; размислете во срцета свои и на постелите сви, и смирете се.
5. Принесете жртва за правда и надевајте се на Господа.
6. Мнозина велат: кој ке ни покаже што е добро? Покажи ни ја светлината на лицето Свое, Господи!
7. А мене Ти си ми го исполнил срцето со радост поголема отколку кога ке се роди во изобилие пченица и вино.
8. Затоа мирно легнувам и спијам; оти Ти, Господи, си ми влил надеж да живеам без опсасност.

Псалм 5

1. Чуј ги, Господи, зборовите мои, разбери ги поплаките мои.
2. Чуј го гласот на моето молење, Цару мој и Боже Мој!
3. Наутро чуј го гласот мој, наутро застанувам пред Тебе и во Тебе гледам.
4. Оти ти си Бог, Кој не сака беззаконија; за лошиот нема место при тебе:
5. безбожниците нема да излезат пред очите Твои; Ти ги мразиш сите што вршат неправда.
6. Ти ке ги уништиш сите лажливци; од крвопиец и лукав Господ се гнаси.
7. А јас, пак, според Твојата голема милост, ке влезам во Твојот храм со страв пред Тебе.
8. Господи, упатувај ме во Твојата правда, поради непријателите мои патот Твој пред мене порамни го.
9. Зашто во устата нивна нема вистина; во срцето им е измама; грлото им е оторен гроб; на јазикот, пак, дволичност.
10. Казни ги, Боже, нека пропаднат тие и мислите нивни; поради многуте нечестни работи отфрли ги, бидејки Те огорчија Тебе.
11. Па нека се зарадуваат сите, кои се надеваат на Тебе: вечно да се радуваат оние што Ти ги закрилуваш; и да се радуваат со Тебе оние, што го сакаат името Твое.
12. Оти Ти, Господи, го благословуваш перาведникот и со оружјето на милоста Своја го закрилуваш.

Псалм 6

1. Господи, не ме карај во јароста Своја и не казнувај ме во гневот Свој.
2. Смилуј се на мене, Господи, оти сум немокен; исцели ме, Господи, бидејки коските мои се потресени;
3. и душата моја е возбудена. А Ти, Господи до кога?
4. Обрни се, Господи, избави ја душата моја, спаси ме поради милоста Своја,
5. бидејки мртвите не Те спомнуваат Тебе; во пеколот кој ке Те слави Тебе?
6. Се уморив воздивнувајки; секоја нок го навлажнувам леглото мое, со солзи свои ја натопувам постелата моја.
7. Од скрб ми се помрачи окото мое, остарев поради сите мои непријатели.
8. Отстапете од мене вие сите, кои вршите неправда, оти Господ го чу гласот на мојот плач.
9. Господ ја чу молбата моја, Господ ке ја прими молитвата моја.
10. Нека се посрамат и уплашат сите мои непријатели; да се повратат и веднаш да се засрамат.

Псалм 7

1. Господи, Боже мој, на Тебе се надевам, спаси ме од сите што ме гонат, и избави ме;
2. Да не би некогаш непријателот да посака да ми ја истргна душата; ке трга, а ке нема кој да спасува.
3. Господи, Боже мој, ако го направив тоа, ако има неправда во рацете мои;
4. ако зло вратив на оние, кои поради правда ме напа аат, тогаш нека отпаднам од непријателите мои;
5. нека ја гони непријателот душата моја, и нека ја стигне, и нека го згази животот мој на земјава, и телото мое во прав нека го претвори.
6. Стани, Господи, во гневот Свој; крени се против жестината на непријателите Твои; стани, Господи, Ти Кој заповедаш.
7. И многу народ ке се собере околу Тебе; и Ти издигни се над него високо.
8. Господ им суди на народите. Суди ми, Господи, според правдата моја и според чистотата моја.
9. Да престане злобата на грешниците, а праведникот исправи го, Ти, Боже, кој ги испитуваш срцата и утробите праведно.
10. Помош очекувам од Бога, Кој ги спасува оние што се со чисти срца.
11. Бог е праведен судија, и силен, и долготрпелив и не се гневи секој ден.
12. Но ако не се покаете, Он ке го очисти Своето оружје, ке го затегне својот лак и ке го насочи,
13. и затега смртна стрела, а стрелите Свои ги вжарува.
14. И, ете, кај безбожникот се повеке неправда, па се зачна злоба, а тоа роди беззконие,
15. па си копа и ископа јама, и падна во јамата, што ја направи,
16. и злобата негова му падна на главата негова, а врз неа и неправдата негова слезе.
17. Го прославувам Господа поради правдата Негова и му пеам на Господа Севишниот.

Псалм 8

1. Господи, Господи наш, колку е чудесно името Твое по целата земја! Си ја издигнал славата Своја над небесата.
2. Од устата на младенците и доенчињата си ја создал пофалата Своја заради непријателите Твои, за да го срушиш непријателот и одмаздникот.
3. Кога ке ги погледам небесата, дела на прстите Твои, па месечината и ѕвездите, што си ги поставил Ти:
4. Што е тоа човек, та се секаваш на него, или синот човечки, па го посетуваш?
5. Си го направил малку помал од ангелите, но со слава и чест си го венчал,
6. и си го поставил над делата од рацете Твои, и се си потчинил под нозете негови;
7. овците и воловите сите, и ѕверовите полски;
8. птиците небески и рибите морски, се што се движи по морските патишта.
9. Господи, Господи наш, колку е чудесно името Твое по целата земја!

Псалм 9

1. Те прославувам Тебе, Господи, со сето срце свои, ги известувам сите чудеса Твои;
2. се радувам и се веселам во Тебе, му пеам на името Твое, Севишни.
3. Кога се вратија непријателите мои, се сопнаа, изгубија сила и погинаа од лицето Твое.
4. Бидејки донесе пресуда за мене и ме одбрани; седна на престолот Свој, судија праведен.
5. Им запрети на народите и загина нечестивиот; името му го затре за сите векови.
6. Непријателот остана сосема без оружје; градовите Му ги разруши, и погина споменот за нив.
7. Но Господ секогаш живее; го подготвил престолот Свој за суд;
8. Он ке и суди на вселената по правда, на лу ето ке им суди право.
9. И ке му биде Господ прибежиште на сиромавиот, помошник во право време во невоља.
10. Па нека се надеваат на Тебе оние кои го знаат името Твое, бидејки не ги оставаш оние што Те бараат.
11. Пејте Му на Господа Кој живее на Сион, кажувајте ги на народите делата Негови;
12. бидејки Он се одмаздува за крв; ја помни; не ги заборава пискотите на неволниците.
13. Смулуј се, Господи на мене; погледај како страдам од непријателите мои, Ти, Кој ме избавуваш од вратата на смртта.
14. За да ги кажувам сите пофвали за Тебе пред вратите на керката Сионска и да го прославувам спасението Твое.
15. Пропа аа народите во јама, што сами ја направија; во замка, која сами ја наместија, се фати ногата нивна.
16. Го познаа Господа, Кој суди; во делата на рацете Негови грешникот се заплетува.
17. Ке се вратат во пеколот сите грешници, и сите народи, кои Бога Го заборавaaт.
18. Зашто нема засекогаш да биде заборавен сиромавиот, и надежта на бедните нема никогаш да престане.
19. Стани, Господи, за да не се засили човекот, и народите да примаат суд пред Тебе.
20. Постави, Господи, законоположник над нив, за да разберат незнабожците дека се лу е.

Псалм 10

1. Зошто Господи се оддалечуваш и не сакаш на неволните во право време да им помогнеш?
2. Кога нечесниот се разбесува, ги мачи бедните бездушно, и тие па аат во замките негови.
3. Бидејки грешникот се гордее со желбата на душата своја и одбива да биде благословен.
4. Грешникот го дразни Господа, за многуте негови гревови, вели, дека Он не истражува: нема Бог пред него.
5. Патиштата негови се секогаш криви, а судовите Твои се многу високи, за да мисли на нив, и така над непријателите се гордее.
6. И во срцето свое си вели: нема да минувам од род во род без зло.
7. Устата му е полна со клетви, измами и навреди; под јазикот негов тежина и пропаст.
8. Седи во заседа со богати, потајно убива невини, очите негови демнат бедни.
9. Седи скришум како лав во пештера, со намера да фати беден, и кога ке фати, го сплетува во својата мрежа.
10. Се смирува, прилегнува и тогаш бедниот па а совладан.
11. па вели во срцето свое: Бог заборавил, го свртел лицето свое за да не го види крајот.
12. Стани, Господи, Боже мој, нека се крене раката Тавоја, не ги заборавај за секогаш бедните Твои.
13. Зошто безбожникот Го разгневува Бога, зошто во срцето свое да вели - Бог не изпитува?
14. Но ти гледаш, оти ги забележуваш маките и навредите на бедниот; бедниот Тебе Ти се предава, Тебе Ти се остава сиромавиот и сиракот; биди им помошник.
15. Сотри ја мишката на грешникот и на лукавиот; па да се бара и да не се најде безбожноста негова.
16. Господ е вечен цар, во сите времиња; ке ги снема народите од земјата Негова.
17. Господи, Ти ги слушаш желбите на бедните; закрепи ги срцата нивни, отвори го увото Свое!
18. Дај правда на сиракот и на смирениот, па да престане човекот на земјата да задава страв.

Псалм 11

1. На Господа се надевам, зошто да и речете на душата моја: 'Одлетај во горага своја како птица?'
2. Но ете грешниците, го затегнаа лакот, ја притегнаа стрелата своја на тетивата, па од мрак да стрелаат на чистите по срце.
3. Ти што си направил, тие го разрушија; што може праведникот да прави? Господ е во својот свет храм.
4. Господ е на престолот небесни; очите Негови гледаат на сиромавиот, ве ите Негови ги испитуваат синовите човечки.
5. Господ го испитува праведникот, а безбожникот, и оној што сака неправда, ја мрази душата своја.
6. На грешниците ке пушти дожд од разгорен јаглен, оган и сулфур, а силен ветар ке им биде дел во чашата нивна.
7. Зашто Господ е праведен, ја сака правдата: лицето Негово ке го гледаат праведниците.
1. Со песна ке го прославам милоста и судот, Господи.
2. Ке Ти пеам и ке размислувам за патот непорочен: кога ке ми пријдеш? Среде мојот дом одев со чисто срце.
3. Не ставив пред очите мои ништо незаконски; престапите ги мразам.
4. Развратно срце нема да се прилепи до мене; за лукавиот не сакав да знам.
5. Оној што тајно го клевети ближниот свој, го изгонувам; со оној, што е со горделиви очи и ненаситно срце, не јадев.
6. Очите ми се управени кон верниците на земјата, за да седат со мене; кој одеше по патот непорочен, тој ми служеше.
7. Не живееше во мојот дом оној, кој гордо постапува; кој говори лага, не можеше да остане пред очите мои.
8. Од рани зори ги убивав сите грешници на земјата, за да ги истребам од Господовиот град сите, што вршат беззаконие.

Псалм 12

1. Спаси ме, Господи, зашто не остана праведен, зашто се намалија верните ме у синовите човечки.
2. Суета му кажуваат секој на ближниот свој; од дволично срце устите зборуваат лага.
3. Нека ги истреби Господ сите соблазниви усти и јазик што се возвеличува;
4. оние што зборуваат: 'Јазикот свој ке го величаме; устата ни е со нас; кој е господар над нас?'
5. 'Заради страдањата на сиромасите и офкањата на бедните ке се кренам сега - вели Господ - ке го спасам оној, кому сакаат да му напакостат.'
6. Зборовите на Господа се зборови чисти, сребро во оган исчистено од земја, седумпати пречистено.
7. Ти, Господи, ке не одбраниш и ке не запазиш од овој род и довека.
8. Нечестивите одат наоколу; според возвишеноста Своја многу си им допуштил на синовите човечки.
1. Господи, услиши ја молитвата моја и повикот мој нека дојде до Тебе!
2. Не одвракај го лицето Свое од мене, во денот на мојата жалост приклони го увото Твое кон мене; во деност, кога Те повикувам, услиши ме бргу,
3. зашто дните ми исчезнуваат како дим, а коските мои се исушија како суварки;
4. попарен сум како трева, срцето ми е исушено, така што заборавив и лебот свој да го јадам;
5. од гласот на моите воздишки коските ми се залепија за телото мое.
6. Заприлегав на несит во пустиња; станав како був во урнатини;
7. не спиев, седев како самотна птица на покрив.
8. Секој ден ме навредуваа непријателите мои, и фалејки се, ме проколнуваа.
9. Јадев пепел како леб и пијалокот свој со солзи го растворав.
10. Поради гневот и јароста од лицето Твое бев воздигнат и соборен.
11. Дните мои исчезнуваа како сенка и јас се исушив како сено.
12. А Ти, Господи, вечно пребиваш; и споменот за Тебе е од род во род.
13. Кога ке станеш, ке се смилуваш на Сион, зашто време е да се смилуваш на него - зашто дојде времето;
14. бидејки на Твоите слуги им омилеа и камењата негови и за правот негов жалат.
15. Незнабожците ке се заплашат од името на Господа, а сите земни цареви - од Твојата слава.
16. Зашто Господ ке го изгради Сион и ке се појави во славата Своја;
17. ке погледне милостиво на молитвите од беспомошните и нема да ги презре молибите нивни.
18. Нека се запише ова за следниот род, и идното поколение што ке Го слави Господа,
19. зашто се јави од светата Своја височина, Господ од небесата погледна на земјата,
20. за да ги чуе офкањата на окованите, да ги ослободи синовите од смртта,
21. за да го разгласат името Господово на Сион и пофалата Негова во Ерусалим,
22. кога ке се соберат народите и царствата заедно да му служат на Господа.
23. Он ми ја откажа заштитата Своја на патот мој, ме извести дека ги скратува дните мои.
24. Боже мој! Не земај ме на половината од деновите мои. Твоите години се од род во род.
25. Во почетокот Ти, Господи, ја основа земјата, небесата се дело на Твоите раце;
26. тие ке пропаднат, а Ти ке пребиваш; сите тие - како облека ке оветвеат, и како наметка Ти ке ги свиткаш, и ке се изменат;
27. но Ти си секогаш истиот, и Твоите години нема да завршат.
28. Синоивте на Твоите слуги ке се веселат и потомството нивно ке се зацврсти за навек.

Псалм 13

1. До кога, Господи, сосема ке ме заборавааш, до кога ке го одвракаш лицето Свое од мене?
2. До кога ке размислувам во душата своја, и ке жалам во срцето свое дење и ноке? До кога непријателот мој ке се издига над мене?
3. Погледај, чуј ме, Господи, Боже мој! Просветли ги очите мои, за да не заспијат некако со сон смртен;
4. да не рече непријателот мој: 'го надвив.' Гонителите мои ке се зарадуваат, ако почнам да премалувам.
5. Јас, пак, се надевав на Твојата милсот; срцето мое ке се зарадува заради спасението од Тебе;
6. ке му пеам на Господа, Кој ми направи добрини и ке го воспевам името на Севишниот Господ.
1. Благословувај Го, душо моја, Господа, и целата моја внатрешност да го благословува Неговото свето име.
2. Благословувај Го, душо моја, Господа и не заборавај ги сите Негови добрини, на Оној,
3. Кој ги очистува сите твои беззаконија, Кој ги исцелува сите твои болести;
4. Кој го избавува од распа ање твојот живот, Кој те овенчува со милост и со добрини.
5. Кој ја исполнува со блага твојата желба, како на орел ке се обновува твојата младост.
6. Господ им дава милост и суд на сите онеправдани.
7. Он му ги покажа Своите патишта на Мојсеја, на Израилевите синови - барањата Свои.
8. Штедар и милостив е Господ, долготрпелив и многумилостив;
9. Он не се гневи до крај, ниту вечно се лути.
10. Оне не ни направи ништо според нашите безааконија и не постапи според нашите гревови;
11. зашто, колку е големо растојанието од небото до земјата, толку е голема милоста на Господа спрема оние што се бојат од Него;
12. колку е далику исток од запад, толку ги оддалечил Он од нас нашите беззаконија;
13. како таткото што ги милува синовите, така и Господ ги милува оние, кои се бојат од Него.
14. Зашто Он го знае нашиот состав, помни дека сме земја.
15. Дните на човекот се како трева; како полски цвет, така прецутува тој;
16. ке дувне ли над него ветар, и веке го нема, и местото веке нема да се познава
17. А милоста на Господа е од век до век спрема оние, кои се бојат од Него,
18. и правдата Негова е од синовите на синовите, кои го чуваат заветот Негов и ги помнат заповедите Негови, за да ги исполнуваат.
19. Господ го поставил Својот престол на небото, и царството Негово владее над се.
20. Благословувајте Го Господа - сите ангели Негови крепки по сила, кои го извршуваат Неговиот збоар, слушајки го гласот од зборот Негов;
21. благословувајте Го Господа - сите Негови војски, Негови служители, кои ја испонувате вољата Негова;
22. благословувајте Го Господа сите Негови дела, по сите места на Неговото владеење. Благословувај Го, душо моја, Господа!

Псалм 14

1. Рече безумниот во срцето свое: 'Нема Бог.' Се развратија лу ето, извршија гнасни дела, нема кој да прави добро.
2. Господ погледна од небесата со внимание кон синовите човечки, за да види, има ли кој Го разбира и Го бара Бога.
3. Сите се застрашија, сите станаа лоши, нема кој да прави добро, нема дури ниеден.
4. Зар нема да се вразумат сите, што вршат беззаконие, кои така го јадат народот Мој, како што јадат леб, и кои не го призовуваат Господа.
5. Таму ке се уплашат тие од страв, каде што нема страв, зашто Господ е во родот на праведните.
6. Вие се подигрувате со сиромашниот, но Господ е негова надеж.
7. Кој ке му даде од Сион спасение на Израилот? Кога Господ ке ги врати заробените од Својот народ, тогаш нека се зарадува Јаков, и нека се развесели Израилот.
1. Благословувај Го, душо моја, Господа, Господи, Боже мој, ти си се возвеличил; во слава и велелепие си се облекол;
2. Ти си се облекол во светлина како со облека, си го прострел небото како шатор;
3. со вода си ги покрил Твоите дворови, облаците си ги направил за да одиш по нив, кога се движиш - ветрот Ти служи како крила.
4. Ветровите ги правиш Свои гласници, а слугите Свои огнен пламен.
5. Ти си ја поставил земјата на цврсти основи: таа нема да се разниша никогаш.
6. Си ја покрил со бездна како со облака, води ке стојат на горите.
7. Од Твојата закана тие бегаат, од гласот на Твојот гром се бојат;
8. се издигаат горите, се спуштаат долините, на места што си им ги определил.
9. Си поставил граница преку која нема да преминат, ниту ке се вратат да ја покријат земјата.
10. Си управил извори во долините: ме у горите течат води,
11. ги напојуваат сите полски ѕверови; дивите осли ја гаснат жедта своја.
12. При нив живеат птици небесни, ме у камењата пуштаат глас.
13. Ти ги напојуваш горите од своите височини, од плодовите на Твоите дела се иаситува земјата.
14. Ти правиш да расте трева за добитокот и растение за потреба на лу ето, за да произведат леб од земјата
15. и виното што го весели срцето на човекот, и елејот од кој блеска лицето негово, и лебот што го закрепнува срцето на човекот.
16. Се заситуваат дрвјата по полето, кедрите ливански, што си ги посадил;
17. на нив птиците си прават гнезда, елките им се живеалишта на штрковите.
18. Високите гори - на срните; камењата - прибежиште на зајаците.
19. Он ја создал месечината да ги определува времињата, сонцето го знае својот запад.
20. Спушташ темнина, и настанува нок: тогаш излегуваат сите горски ѕверови;
21. лавовите рикаат за плен и бараат од Бога храна за себе.
22. Изгрева сонцето, а тие се собираат и легнуваат во своите легла;
23. чвекот излегува по своја работи и работи до вечерта.
24. Колку се многубројни делата Твои, Господи! Се си направил премудро; земјата е полна со Твои созданија.
25. А тоа море е големо и пространо; таму се движат безброј лазачи, мали и големи животни;
26. таму пловат кораби, таму е чудовиштето што си го создал да игра во него.
27. Сите тие од Тебе чекаат да им дадеш храна навреме.
28. Им даваш - примаат, ја отвораш раката Своја - се наситуваат со блага;
29. го одвратиш ли лицето Свое - се збунуваат, им го одземеш ли духот нивни - умираат и во земјата своја се вракаат.
30. Го пракаш ли духот Свој - се создаваат; Ти го обновуваш лицето на земјата.

31. Нека пребива славата на Господа вечно; нека се весели Господ за делата Свои!
32. Погледнува ли кон земјата, и таа се тресе; се допре ли до горите, тие се димат.
33. Ќе му пеам на Господа преку целиот мој живот, ќе му пеам на мојот Бог се додека постојам.
34. Нека Му биде мила беседата моја! ќе се веселам во Господа.
35. Нека ги снема грешниците од земјата, и беззаконици да нема веке! Благословувај Го, душо моја, Господа! Алилуја!

Псалм 15

1. Господи, кој може да престојува во Твоето живеалиште? Кој може да се настани во Твојата Света Гора?
2. Оној, што оди непорочно, што врши правда и во срцето свое говори вистина.
3. Кој не клевети со јазикот свој, не прави зло на ближниот свој и не го навредува ближниот свој;
4. ништожен е пред него оној што е злобен; Господ ги слави оние, што се бојат од Него; кој кога се колне на својот ближен, не порекнува;
5. кој не го дава среброто свое со лихва и не прима поткуп против невин. Кој така постапува, нема никогаш да се поколеба.
1. Славете Го Господа; призивајте го Неговото име; разгласувајте ги ме у народите делата Негови.
2. Славете Го и пејте Му; кажувајте ги сите Негови чудеса.
3. Фалете се со Неговото свето име: нека се весели срцето на оние, кои Го бараат Господа.
4. Барајте Го Господа и утврдувајте се, барајте го секогаш лицето Негово.
5. Спомнувајте ги чудесата Негови, што ги направи, чудесата Негови и судовите од устата Негова,
6. вие, семе Авраамово, слуги Негови, синови Јаковови, избраници Негови.
7. Он е Господ, Бог наш; Неговите судови се по целата земја.
8. Он вечно го помни заветот Свој, зборот што го заповедал во иљада родови,
9. што му го ветил на Авраама, и заклетвата своја на Исака;
10. и му го поставил тоа како закон на Јакова и како вечен завет на Израилот,
11. велејки: 'Тебе ке ти ја дадам Хананската земја во ваше наследство.'
12. Тогаш тие беа уште малку на број, многу малку, и беа придојдени во неа,
13. па преминуваа од народ во народ, од едно царство кон друг народ;
14. никому не му дозволуваше Он да ги навредува и царевите за нив ги караше:
15. 'Не допирајте се до Моите помазани, на Моиоте пророци не правете им зло!'
16. И пушти глад во таа земја и секој лебен клас го сотре.
17. Испрати пред нив човек: како роб беше продаден Јосиф.
18. Ги стегнаа во вериги нозете негови; железото ја измачувало душата негова,
19. додека се исполни зборот Негов: зборот Господов го оправда.
20. Царот прати по него, го одврзаа, кнезот над народите и го ослободи.
21. Го постави за домакин над домот свој и управител над сиот имот свој,
22. за да ги поучува кнезовите според својата воља и старешните негови да ги учи на мудрост.
23. Тогаш дојде Израилот во Египет, и Јаков се всели во Хамовата земја.
24. Го умножи Бог многу Својот народ и го направи посилен од непријателите негови.
25. Се преврти срцето нивно и тие го замразија народот Негов, и почнаа да им пакостат на слугите Негови.
26. Го испрати Мојсеја, слугата Свој, и Арона, кого го избра.
27. Ти ги покажаа ме у нив зборовите на Неговите знаци и на чудесата Негови во Хамовата земја.
28. Испрати темнина и се смрачи, и тие не се спротивставија на зборот Негов.
29. Ја претвори водата нивна во крв и ја уништи рибата нивна.
30. Се исполни земјата нивна со жаби, дури и собите на царот нивни.
31. Он рече: и нападнаа песји муви и мушички по сите нивни предели.
32. Наместо дожд, испрати врз нив град, оган што ја гореше земјата нивна,
33. и ги уништи лозјата нивни и смоквите нивни, ги сотре сите дрвја во нивните предели.
34. Рече и нападнаа скакулци и гасеници безброј;
35. и ја изедоа сета трева по земјата нивна, ги испојадоа сите плодови на нивите нивни.
36. И го порази секое првородено во земјата нивна, првините од сиот нивни труд.

37. Ги изведе Израилците со сребро и злато, и немаше болен во племињата нивни.
38. Се зарадува Египет поради нивното излегување, бидејќи го беше обзел страв од нив.
39. Им простре облак како покрив и оган, за да им свети ноќе.
40. Бараа, и Он им прати потполошки и со леб небесен ги наситуваше.
41. Расцепи камен и потекоа води, потекоа како река по безводната земја,
42. зашто се сети на Својот свет збор кон Авраама, Својот слуга.
43. па го изведе Својот народ со радост, Своите избрани - со веселба,
44. и им даде незнабожечки земји, и така наследија плодови од други народи,
45. за да ги чуваат наредбите Негови и да ги исполнуваат законите Негови. Алилуја!

Псалм 16

1. Пази ме Господи, зашто на Тебе се надевам.
2. Му реков на Господа: 'Ти се Господ мој: моите добра Тебе не ти се потребни.
3. На светиите, кои се на земјата Негова, им направи многу добрини и се што сакаат да имаат.
4. Се намножија немокта на оние, што одат кон крвави жртви; јас нема да ги принесувам нивните крвави приливи и со устата своја нема да ги спомнам нивните имиња.
5. Господ е дел на моето наследство и од чашата моја. Ти си Оној Кој го воспоставува наследството мое.
6. Ме ите ми паднаа на најубавото; зашто наследството ми е најубаво.
7. Ќе го благословувам Господа, Кој ме вразумува; па дури и ноке ме учи мојот внатрешен глас.
8. Секогаш Го гледав пред себе Господа, зашто Он е од мојата десна страна, за да не се поколебам.
9. Заради тоа се возрадува срцето мое, и воскликна јазикот мој; па дури и телото мое ке почива во надеж,
10. оти Ти нема да ми ја оставиш душата моја во пеколот, ниту, пак, светецот Твој да види распа ање.
11. Ти ми ги покажа патиштата на животот: со радост ме исполнува Твоето лице; вечно блажеснтво е во Твојата десница.
1. Славете Го Господа, зашто е благ, зашто Неговата милост е вечна.
2. Кој ке ја искаже силата на Господа, кој ке ја извести сета пофала Негова?
3. Блажени се оние што го чуваат законот и вршат правда во секое време.
4. Сети се на нас, Господи, во благоволението Свое кон Твојот народ; посети не со Твоето спасение,
5. за да ги видиме во добрини Твоите избраници, за да се развеселат со веселбата на Твојот народ, за да се пофалат заедно со Твоето наследство.
6. Згрешивме ние со татковците наши, правевме беззаконија, вршевме неправда.
7. Нашите татковци во Египет не ги разбраа Твоите чудеса, не ги помнеа многуте милост Твои и се побунија кога се приближија до Црвеното Море.
8. Но Он ги спаси заради името Свое, за да им ја покаже силата Своја.
9. Му се закани на Црвеното Море, и тоа се исуши; и ги преведе по бездните како по пустиња;
10. и ги спаси од рацете на оние што ги намразија и ги избави од рацете на непријателите.
11. Водите ги покрија нивните непријатели; не остана ниеден од нив.
12. И тие поверуваа на зборовите Негови и Му испеаја пофала.
13. Но побрзаа, ги заборавија делата Негови, не го дочекаа Неговото решение;
14. се занесоа од похотливоста во пустињата, па Го искушуваа Бога во безводната земја.
15. Он го исполни нивното барање, он прати пораз за душите нивни.
16. Му позавидоа на Мојсеја во логорот и на Арона, светецот Господов.
17. Се отвори земјата, го голтна Датан и ја покри дружината Авиронова.
18. И пламна оган врз нив, и пламенот ги изгори грешниците.
19. Направија теле на Хорив и му се поклонија на идолот.
20. Ја заменија својата слава со образ на теле, што јаде трева.
21. Го заборавија Бога, својот Спасител, Кој изврши големи дела во Египет,
22. чудесни во Хамовата земја, страшни при Црвеното Море.
23. И рече дека ке ги истреби, но Мојсеј, Неговиот избраник, се застапи за нив во пукнатината, за да ја отстрани јароста Негова, та да не ги погуби.
24. Тие ја презреа саканата земја, не Му веруваа на зборот Негов;
25. и роптаа во шаторите свои, не го слушаа гласот Господов.
26. Он крена рака против нив, за да ги погуби во пустињата,
27. да го расее нивното семе ме у народите и да ги растури по земјите.
28. Тие се придружија кон Ваал - Фегор и јадеа жртви, принесувани на бездушните,

29. Го дразнеа Бога со делата свои, и на нив падна погибел.
30. Но стана Финес и Го умилостиви и поморот престана.
31. И тоа му се прими за правда од род во род довека.
32. И Го разгневија Бога при водите на расправија, кај Мерива, и Мојсеј настрада заради нив,
33. зашто тие го преогорчија духот негов, и тој згреши со устата своја.
34. Не ги истребија народите, за кои им беше рекол Господ,
35. туку се смешаа со незнабожците и свикнаа на нивните дела;
36. им служеа за нивните идоли, а тоа беше соблазна за нив,
37. и ги жртвуваа синовите свои и керките свои на бесовите;
38. и приливаа невина крв, крвта на синовите свои и на керките свои, што им ги жртвуваа на ханаските идоли, за земјата се извалка од таа крв;
39. се оскверница со делата свои, блудствуваа со постапките свои.
40. Се разгоре гневот на Господа против Неговиот народ, и Му омрзна налседството Негово,
41. па ги предаде во рацете на непријателите и завладеаја над нив оние што ги мразеа.
42. Непријателите нивни ги притеснуваа, и тие се смируваа под нивната рака.
43. Многупати ги избавуваше, но тие Го лутеа со упорноста своја, па беа понижувани поради своите беззаконија.
44. Но Он погледна на нивната жалост, кога ги слушаше нивните молби,
45. си спомна на Својот завет со нив, се сожали поради големата милост Своја;
46. па разбуди сострадание спрема нив кај оние што ги беа заробиле.
47. 'Спаси не, Господи, Боже наш, и собери не од незнабожците, за да го славиме Твоето свето име, да се фалиме со Твојата слава!
48. Нека е благословен Господ, Бог Израилев, отсекогаш досекогаш! И сите лу е нека велат: Амин! Амин! Алилуја.

Псалм 17

1. Услиши ја, Господи, правдата моја, чуј го гласот на молбата моја, прими ја молитвата моја што не излегува од лажлива уста.
2. Од Твоето лице нека излезе судот за мене; очите мои нека ја видат вистината.
3. Ти го искуша срцето мое, ме посети ноке; со оган ме провери и не нејде неправда во мене.
4. Човечки дела нека не зборува устата моја; поради зборовите на устата Твоја чекорев по патиштата тешки.
5. Утврди ги стапките мои на патиштата Твои, за да не ослабнат нозете мои.
6. Кон Тебе викам, зашто Ти ке ме чуеш, Боже; приклони го увото Свое кон мене, и чуј ги зборовите мои.
7. Покажи ја чудесната милост Твоја, Ти, кој ги избавуваш оние што се надеваат на Тебе - од оние што се противат на Твојата десница.
8. Пази ме како зеница на окото; засолни ме под сенката на Твоите крила,
9. од лицето на нечестивите, кои ме напа аат - од непријателите на душата моја, што ме опкружуваат:
10. тие срцето свое го затворија, наоколу со устата своја - гордо зборуваат.
11. Гонејки ме, сега ме опколуваат; тие ги управија очите свои, за да ме соборат на земја;
12. тие се како лав, подготвен за лов и како лавче, кое стои во потајни места.
13. Стани, Господи, пресретни ги и обори ги; спаси ја душата моја со Својот меч од нечестивиот;
14. од оние, Господи, кои ги има малку на земјата - раздели ги во нивниот живот, и од она што е сокриено Твое ке се наполни стомакот нивни; откако се наситија синовите нивни, од вишокот оставија и за децата свои.
15. А јас пред лицето Твое ке се покажам во правда, ке се наситам кога ке ми се покаже славата Твоја.
1. Славете Го Господа, зашто е добар, зашто е вечна милоста Негова!
2. Така да велат избавените од Господа, оние што ги избавил од непријателска рака.
3. И ги собра од земјите, од исток и од запад, од север и од морето.
4. Тие скитаа по безводната пустиња и нигде пат ниту населен град не најдоа;
5. трпеа глад и жед, душата им ослабна во нив,
6. но во жалоста своја Го повикаа Господа, и Он ги избави од нивните невољи
7. и го поведе по правиот пат, за да одат кон населен град.
8. Нека Го слават Господа за милоста Негова и за чудесата Негови што им ги направи на синовите човечки:
9. зашто Он ја насити гладната душа, и душата гладна ја исполни со блага.
10. Тие седеа во темнина и смртна сенка, оковани со сиромаштија и железо;
11. бидејки не се покорија на зборовите Божји и се пртивеа на вољата на Севишниот.
12. Он го понизи нивното срце во мака, се сопнаа, и немаше кој да им помогне.
13. Тогаш во тагата своја повикаа кон Господа, и Он ги спаси од маките нивни;
14. ги изведе од темнината и смртната сенка и ги раскина оковите нивни,
15. Нека го слават Господа за милоста Негова и за Неговите чудесни дела кон синовите човечки,
16. зашто Он ги здроби бакарните порти и ги скриши железните резиња.
17. Неразумните страдаа поради своите лоши патишта и поради неправдите свои!
18. Од секоја храна им се одвракаше душата, и се приближија до вратата на смртта.
19. Но во тагата своја повикаа кон Господа, и Он ги спаси од невољите нивни;
20. го испрати Своето слово, ги излекува и ги спаси од пропаст.
21. Нека Го прославуват Господа за милоста Негова спрема синовите човечки!
22. Нека Му принесуваат пофална жртва и нека ги разгласуваат делата Негови со радост.
23. Оние што тргнуваат по море на кораби, што имаат работа по големите води -

24. тие ги гледаат делата на Господа и чудесата Негови во длабочините.
25. Он рече - и настана бурен ветер и високо ги издигна морските бранови;
26. се издигаа до небесата, слегуваа до бездната; нивната присебност се губи во невољата;
27. тие се збунуваат, се нишаат како пијани, и сета нивна мудрост им исчезнува.
28. Тогаш во скрбта своја повикаа кон Господа, и Он ги изведе од макките нивни.
29. И и заповеда на бурата и таа се претвори во тивок ветрец и брановите молкнаа.
30. Тие се развеселија, зашто стивнаа, а Он ги упати кон нивното сакано пристаниште.
31. Нека Го прославуваат Господа за милоста Негова и за Неговите чудесни дела спрема синовите човечки!
32. Нека Го возвеличуваат со собранието народно и нека Го слават во советите на старешините!
33. Он создава реки во пустиња, и водни извори - на суви места,
34. земја плодородна - во солница, поради злобата на оние што живеат во неа.
35. Он превори пустиња во езеро, а сува земја - во земја - со водни извори;
36. таму насели гладни, а тие изградија град за живеење;
37. засеаја ниви, насадија лози, и тие им даваат свои плодови.
38. Он ги благословуваше, и тие многу се размножуваа, и добитокот нивни Он не им го намалуваше.
39. Тие беа проредени и пострадаа од притисокот на злото и од невољата.
40. Он изли бесчестие над кнезовите и ги остави да скитаат по пустињата, каде што нема патишта.
41. Но бедниот го извлекува од сиромаштија, го умножува родот негов како овчо стадо.
42. Праведните го гледаат тоа и се радуваат, а секоја нечесност си ја затвора устата своја.
43. Кој е мудар и го пази ова, ке ја разбере милоста Господова.

Псалм 18

1. Ќе Те возљубам, Господи, крепост моја!
2. Господ е моја тврдина и прибежиште мое, мој избавител, Бог мој, помошник мој; и ќе се надевам на Него; Он е мој заштитник, сила на спасението мое и заштитник мој.
3. Ќе Го призовувам и ќе Го прославувам Господа, и ќе се спасам од непријателите свои.
4. Смртни маки ме обзедоа, и потоци од беззаконија ме вознемирија;
5. пеколни болести ме опколија, смртини стапици ме стегнаа.
6. Во притеснение Го повикав Господа и кон мојот Бог извикав. И Он од Својот свет храм го чу гласот мој, и мојот вик стигна до неговиот слух.
7. Се затресе и се разниша земјата; затреперија и од темел се поместија горите, зашто Господ се разгневи;
8. се крена дим од гневот Негов и од лицето Негово оган пламна; кој проголтува се; разгорени јагнења отскокаа од Него.
9. Ги приклони Он небесата и слезе, - а мрак падна под нозете Негови.
10. И седна на херувими, па полета и се понесе на ветерни крила.
11. Од мракот направи Свој заклон, и сенка околу Себе - темна вода во воздушните облаци.
12. Од молскање бегаа од Него облаците, градот и огнените јаглења.
13. И загрме Господ од небесата, и Севишниот го пушти својот глас: град и разгорени јаглења.
14. И ги пушти стрелите Свои и ги расприсна, ги умножи молњите - и ги растури.
15. И се појавија извори водни, и се открија основите на вселената од страшниот глас Твој, Господи, од здивот на гневот Твој.
16. Он посегна од височините, и ме прифати, па ме извлече од многуте води.
17. А ќе ме избави од силните мои непријатели и од оние кои ме мразат, од оние што се посилни од мене.
18. Тие се против мене во денот на мојата несреќа, но Господ беше потпора моја.
19. Ме изведе Он на пространо место и ме избави, зашто ме засака.
20. Ми воздаде Господ според мојата правда, и според чистотата на моите раце ме награди,
21. зашто ги запазив патиштата на Господа и не се оддалечив од мојот Бог;
22. оти сите заповеди Негови се пред мене, и наредбите Негови не ги отстранив од себе.
23. Ќе бидам непорочен пред Него и ќе се пазам од беззаконија.
24. И ќе ми воздаде Господ според мојата правда, и по чистотата на рацете мои пред очите Негови.
25. Со светиите Ти постапуваш свето, со невин човек - си благ,
26. со чистиот - чисто, а со лукавиот - според неговото лукавство,
27. зашто Ти ги спасуваш угнетените и гордите ќе ги понизиш.
28. Оти Ти го осветлуваш моето светило, Господи; мојот Бог ја осветлува темнината моја;
29. Ти ќе ме избавиш од искушенијата, и со мојот Бог, и ѕид ќе прескочам.
30. Бог мој, непорочен е Неговиот пат, Господовите зборови со оган се пречистени; Он е заштитник на сите, кое се надеваат на Него.
31. Зашто, кое е Бог, освен Господа, и кој е Бог освен нашиот Бог?
32. Бог е Оној Кој ме препашува со сила и ми поставува непорочен пат;
33. ми ги прави нозете како на елен и ме поставува на височини;
34. ми ги обучува рацете за борба, и мускулите мои ги прави да затегнуваат бакарен лак.
35. Ти ми даде заштита за моето спасение, Твојата десница ме прифати, и Твоето воспитување ме исправи до крај; и тоа ќе ме научи.
36. Ти ги рашируваш чекорите мои под мене, и нозете мои не се заморуваат.
37. Ќе ги гонам непријателите мои и ќе ги стигнам, и не се враќам, додека не ги победам;
38. ќе ги притиснам, и тие не ќе можат да опстанат, ќе па аат под нозете мои,
39. зашто Ти ме препаша со сила за борба и ги покри пред мене оние, што станаа против мене;
40. Ти ги натера во бегство непријателите мои, и ги истреби сите они, што ме мразат;

41. тие повикаа, но нема кој да ги спаси: и кон Господа, - но Он не ги чу
42. ке ги иситнам како прав на ветар, ке ги газам како кал по патиштата.
43. Ќе ме избавиш од народ бунтовен, ке ме поставиш за поглавар над народ, чии чу е не познавава, и тие сега ке ми служат;
44. само по слух за мене ме слушаат ту инците и ми се покоруваат;
45. ту инците бледнеат и треперат, излегувајки од своите градови.
46. Жив е Господ, и нека е благословен мојот Бог! И нека се превознесува Бог на моето спасение.
47. Бог, Кој одмаздува за мене, Кој ми ги покорува народите,
48. Избавител од моите гневни непријатели! Ќе ме возвисиш над оние, што стануваат против мене, и ке ме избавиш од човек неправеден.
49. Поради тоа Те исповедам пред народите, Господи, и ке го воспевувам името Твое;
50. Ти Кој величествено го спасуваш царот Свој и му правиш милост на Твојот помазаник Давида и на потомството негово - довека.
1. Подготвено е срцето мое, Боже, подготвено е срцето мое; ке пеам и ке воспевам во славата своја.
2. Разбудете се, псалтиру и гусле! Ќе станам рано.
3. Ќе Те славам, Господи, ме у народите; ке Те воспевам ме у племињата,
4. зашто повисока од небото е Твојата милост, и до облаците е Твојата вистина.
5. Издигни се над небесата Боже, и славата Твоја нека биде по целата земја,
6. за да се избават Твоите возљубени; спаси ме со Твојата десница и услиши ме.
7. Бог рече во своето светилиште: 'Ќе се вознесам и ке го разделам Сихем и ке ја измерам долината Сокхот;
8. Мој е Галад, Мој е Манасија, Ефрем е застапник на главата Моја, Јуда е Мој цар;
9. Моав Ми е чаша на Мојата надеж, врз Едом ке ја испружам обувката Своја, другоплемениците Ми се покорија.
10. Кој ке ме воведе во укрепениот град? Кој ке ме доведе до Едом?
11. Зар не си Ти, Боже, Кој не отфрли и не излегуваш, Боже, со нашите војски?
12. Дај ни помош да се избавиме од маката, зашто човечката заштита е суетна.
13. Во Бога ке имаме сила; Он ке ги скрши непријателите наши.

Псалм 19

1. Небесата ја објавуваат славата на Бога, а за делата на рацете Негови известува сводот небески.
2. Ден на денот објавува, и нок на нокта знаење открива.
3. Нема јазик, ниту, пак говор, во кон не се слуша нивниот глас.
4. Нивниот звук се разнесува по целата земја, а нивните зборови до краиштата на вселената. На сонце го поставил Своето живеалиште;
5. и излегува како младоженец од брачното легло, се радува како исполин, минувајки по патот свој:
6. од крајот на небесета е излезот негов, и патувањето негово до другиот крај; ништо не е сокриено од топлината негова.
7. Непорочен е законот на Бога - душите ги укрепува; верно е откровението на Господа - ги учи припростите,
8. и Господовите повелби се праведни - го веселат срцето; Господовата заповед зрачи светлина; ги просветлува очите.
9. Стравот Господов е чист - пребива довека; судовите Господови се вистина - сите се праведни;
10. поскапи се од злато и од скапоцени камења - послатки се од восочен мед.
11. Слугата Твој ги пази; а кој ги пази голема награда добива.
12. Кој може да ги согледа своите грешки? И од оние тајни очисти ме,
13. и од ту ите запази го слугата Твој, за да не овладеат со мене. Тогаш јас ке бидам непорочен и ке бидам очистен од големите престапи.
14. Зборовите на устата моја и помислите на срцето мое нека бидат благоугодни пред Тебе, Господи, помошнику мој и избавителе мој!
1. Боже, пофвало моја, не премолчувај,
2. зашто против мене се отворени грешни и лукави усти; зборуваат со лажлив јазик против мене;
3. отсекаде ме опкружуваат со злобни зборови, и без причина се собираат против мене;
4. место да ме сакаат, тие стануваат против мене, а јас се молев;
5. ми вракаат зло за добро, омраза - за љубов.
6. Постави над него грешник, и аволот да застане десно од него.
7. Кога ке му се суди, нека биде осуден, и молитвата негова да се прими за грев;
8. дните негови да бидат кратки, а неговото достоинство друг да го земе;
9. децата негови да останат сираци, а жената му - вдовица;
10. децата негови да скитаат и да стана просјаци, изгонети надвор од своите домови.
11. заемодавецот да му земе се што има, и ту инци да го разграбаат трудот негов;
12. нека нема кој да го заштити, да нема и кој да се смили над сираците негови;
13. потомството негово да загине, и да се избрише името негово во следниот род;
14. да биде спомнато пред Господа безаконието на татковците негови, и гревот на мајка му да не се очисти;
15. тие секогаш да бидат пред очите на Господа, и да се избрише споменот нивни на земјата.
16. Зашто не помислил да прави милостиња, туку ги гонеше бедните, сиромасите смирените по срце, за да ги уништи;
17. засакал клетва, - па таа нека го постигне: не посакал благослов, - тој нека се оддалечи од него;
18. нека се облече во клетва како во облека; и таа нека влезе во него како вода, и како елеј - во неговите коски;
19. та да му биде како облека, во која се облекува, и како појас, со кој секогаш се опашува.
20. Таква нека биде отплатата од Господа на оние што ме мразат и на оние што лошо зборуваат против душата моја.

21. А мене, Господи, Господи, заштити ме заради Твоето име, зашто е блага милоста Твоја; избави ме,
22. оти сум беден и сиромав, и срцето мое во мене е збунето.
23. Исчезнував како сенка што се оддалечува; ме гонат како скакулец.
24. Колената ми изнемоштија од пост, а телото мое поради недостиг од масло.
25. Им станав за потсмев; оние што ме гледаат, нишаат со главите свои.
26. Помогни ми, Господи, Боже мој, спаси ме поради Твојатао милост.
27. и да разберат дека е тоа Твојата рака и дека, Ти, Господи, си го направил тоа.
28. Тие проколнуваат, а Ти, пак, благослови; и оние што стануваат против мене нека бидат посрамени, а Твојот слуга да се зарадува.
29. Нека се облечат во бесчестие противниците мои и како со облека да се покријат со својот срам,
30. и јас со устата моја многу ке го славам Господа и ме у множина ке Го прославувам,
31. зашто застана од мојата десна страна. За да ја спаси мојата душа од оние што ме гонат.

Псалм 20

1. Нека те услиши Господ во тежок ден, да те заштити името на Бога Јаковов.
2. Да ти испрати помош од Светилиштето и од Сион да те поткрепи.
3. Нека си спомни за секоја твоја жртва; и сепалениците твои да бидат примени.
4. Да ти го даде Господ и она што ти срце сака; и сите твои помисли да ги исполни.
5. Ќе се зарадуваме на твоето спасение и во името на нашиот Бог ке се издигнеме. Да ги исполни Господ сите твои молби.
6. Сега знам дека Господ го спасува Својот помазаник, го слуша од светите Свои небеса; спасението е во силата на Неговата десница.
7. Едни - со коли, други - со коњи, а ние со името на Господа, нашиот Бог, се фалиме:
8. тие се препнаа и паднаа, а ние се кренавме и стоиме прави.
9. Господи, спаси го царот и услиши не кога Ти се молиме!

Псалм 21

1. Господи, со Твојата сила ке се весели царот и за спасението од Тебе безмерно ке се радува.
2. Ти му даде, она што срцето негово посака, и молбата на устата негова не ја отфрли,
3. зашто Ти го пресретна со добри благослови, му возложи на главата венец со скапоцени камења.
4. Тој побара од Тебе живот, а Ти му даде долголетие во веки веков.
5. Голема е славата негова поради спасението од Тебе; Ти го покри со чест и величие.
6. Ќе положиш на него вечен благослов, развеселувајки го со радоста на лицето Твое,
7. зашто царот се надева на Господа и во милоста на Севишниот не се сомнева.
8. Раката Твоја ке ги најде сите Твои непријатели, десницата Твоја ке ги најде сите што Те мразат.
9. Кога ке се разгневиш, ке ги направиш како огнена печка; гневот Господов ке ги погуби, и оган ке ги проголта.
10. Ти ке го уништиш плодот нивни од земјата, и семето нивно - ме у човечките синови,
11. зашто смислија против Тебе зло, се договорија, но не можеа ништо да направат.
12. Ти ке ги поставиш како цел, а од Твоите лакови ке пуштиш стрели во лицето нивно.
13. Издигни се, Господи, со Твојата сила: ние ке ја воспеваме и ке ја прославуваме Твојата мок.

Псалм 22

1. Боже мој, Боже мој, почуј ме; зошто ме остави? Далеку се од спасението мое зборовите со кои па ам во грев.
2. Боже мој! Те призивам дење - и Ти не слушаш, и ноке - и нема мир за мене.
3. Но Ти живееш во Светилиштето Свое - опкружен со пофалби од Израилот.
4. На Тебе се надеваа татковците наши; се надеваа и Ти ги избави;
5. кон Тебе викаа, и се спасуваа; на Тебе се надеваа, и не се посрамија.
6. Јас сум црв, а не човек, потсмев за лу ето и презир во народот.
7. Сите, што ме гладаа, ми се подбиваа; нишајки ги главите, велеа:
8. 'Тој се надеваше на Господа, нека го избави, нека го спаси, ако Му е угоден.'
9. Но Ти ме подигна од утробата, стана надеж моја преку млекото мајчино.
10. Кон Тебе сум приврзан уште од зачнувањето мое; од утробата на мајката моја Ти си мој Бог.
11. Не отстапувај од мене, зашто невољата е близу, а нема кој да ми помогне.
12. Многу телиња ме обиколија, дебели јунци ме опкружија,
13. ја отворија устата против мене како лав, кој го раскинува својот плен и рика.
14. Јас се разлеав како вода; сите мои коски се разглобија, срцето мое стана како восок, се топи во моите гради.
15. Силата моја се исуши како цреп, јазикот ми се залепи за непцата, во смртоносен страв ме фрли.
16. Кучињата многу ме опколија, цела чета од злочинци се врти околу мене; ми ги пробија рацете и нозете.
17. Се броеја сите коски мои, а тие гладаа и ме презираа;
18. ги разделије ме у себе слиштата мои и за облеката моја фрлија жреб.
19. Но Ти, Господи, не оддалечувај се од мене! Сило моја! Побрзај ми на помош!
20. Избави ја од меч душата моја, и од пците еднородната моја;
21. Запази ме од устите лавовски и од роговите на еднорогите, спаси ја мојата смиреност.
22. Ке го објавувам името Твое на браката свои, сред собранието ке Те фалам.
23. Вие, што се плашите од Господа, восфалете Го. Целото семе Јаковово нека Го прославува; нека се бои од Него целото семе Израилево,
24. зашто Он не ја презре ниту ја одби молитвата на страдалникот, не го сокри лицето Свое од мене, а ме послуша кога Те повикав.
25. За Тебе е похвалата моја, во великото собрание; ке ги исполнам ветувањата свои пред оние што се плашат од Него.
26. Ке јадат сиромасите и ке се најадат, ке го фалат Господа оние што Го бараат; ке живеат срцата нивни довека!
27. Ке се сетат и ке се обрнат кон Господа сите земни краишта, и ке се поклонат пред Тебе сите племиња на народите,
28. зашто царството е на Господа, и Он е владетел над народите.
29. Ке јадат и ке се поконат сите силници на земјата; пред него ке паднат сите што слегуваат во земјата. А душата моја ке живее за Него.
30. Потомството мое ке Му служи и ке се наречува Господово довека;
31. тоа ке им ја соопштува на лу ето, што ке се родат, правдата Негова, зашто сето тоа Господ го создал.

Псалм 23

1. Господ е Пастир мој, ништо нема да ми недостасува,
2. Он ме пасе на плодни пасишта и ме води на тихи води,
3. ја поткрепува душата моја, ме води по патот на правдата заради името Свое.
4. Кога би тргнал и по долината на смртната сенка, нема да се исплашам од злото, зашто Ти си со мене; Твојот жезал и Твојата палка ме успокојуваат.
5. Си приготвил пред мене трпеза на очиглед на непријателите мои, си ја помазал главата моја со елеј; и чашата твоја ме напојува со блаженство.
6. И милоста Твоја така да ме придружува преку сите денови на мојот живот, и јас ке престојувам во домот Господов многу дни.

Псалм 24

1. Господова е земјата и она што ја исполнува вселената е се што живее во неа,
2. зашто Он ја основа врз морињата, и на реки ја утврди.
3. Кој може да излезе на гората Господова и кој ке застне на Неговото свето место?
4. Оној, чии раце се невини и чие срце е чисто, кој не се колнел во душата своја напразно и не го спомнувал лажливо името Господово пред ближниот свој, -
5. тој ке добие благослов од Господа и милост од Бога, Својот Спасител.
6. Таков е родот на оние што Го бараат Господа, кои Го бараат Бога Јаковов!
7. Подигнете ги, порти, горништата свои, подигнете се, вечни порти, и ке влезе Царот на славата!
8. Кој е тој Цар на славата? - Крепкиот и силниот Господ, силниот во војна Господ.
9. Подигнете ги, порти, горништата свои, подигнете се, вечни порти, и ке влезе Царот на славата!
10. Кој е Царот на славата? - Господ над војските - Он е Цар на славата!

Псалм 25

1. Кон Тебе, Господи, ја издигнувам душата своја.
2. Боже мој, на Тебе се надевам, да не се посрамам довека, да не ме исмејуваат непријателите мои,
3. да не се засрамат оние што се надеваат на Тебе; да се посрамат оние, што вршат беззаконија без причина.
4. Покажи ми ги, Господи, патиштата Твои и научи ме да врвам по патеките Твои.
5. Упати ме кон Твојата вистина и научи ме, зашто Ти си Бог на моето спасение; на Тебе се надевам секој ден.
6. Спомни Си ги штедростите Твои, Господи, и милостите Твои, зашто се вечни.
7. Гревовите на младоста моја и незнаењето мое не ги споменувај; по милоста Своја сети се на мене, заради Твојата доброта, Господи!
8. Благ и праведен е Господ, грешниците ги изведува на пат,
9. ги упатува кротките кон правда и ги учи кротките на Своите патишта.
10. Сите патишта Господови се милост и вистина за оние, кои го пазат заветот Негов и откровението Негово.
11. Заради Твоето име, Господи, прости ми го гревот мој, зашто е голем.
12. Кој човек е тој што се плаши од Господа? Нему Он ке му покаже кој пат да избере.
13. Неговата душа ке почива во добро, неговото семе ке ја наследи земјата.
14. Близок им е Господ на оние што се плашат од Него; ним им го открива заветот Свој.
15. Очите мои секогаш се кон Господа, зашто Он ги вади од стапица нозете мои.
16. Погледни на мене и смилуј се на мене, зашто сум самотен и во мака.
17. Скрбите на срцето мое се умножија; извади ме од невољите мои.
18. Погледај ги страдањата и маките мои, па прости ми ги сите гревови мои.
19. Погледај ги моите непријатели, колку многу се намножија и колку многу ме мразат.
20. Запази ја душата моја и избави ме, за да не се посрамам, зашто на Тебе се надевам.
21. Непорочноста и правдаата нејка ме учат, зашто на Тебе се надевам, Господи.
22. Избави го, Боже, Израилот од сите невојли негови.

Псалм 26

1. Суди ме, Господи, бидејки одев непорочно и, надевајки се на Господа, нема да се поколебам.
2. Искушај ме, Господи, испитај ме; отвори ги утробата моја и моето срце.
3. Твојата милсот е пред очите мои, а јас одам во Твојата вистина,
4. со лу е суетни не седев и со престапници на законот Твој нема да отидам;
5. го намразив собиралиштето на злонамерните; со нечестивите нема да седнам;
6. ке ги мијам рацете свои во невиноста и ке го заобиколувам жтвеникот Твој, Господи,
7. за да ја разгласувам пофалата Твоја и да ги раскажувам сите Твои чудеса.
8. Господи, го засакав живелиштето на Твојот дом и местото каде што пребива и славата Твоја.
9. Не погубувај ја душата моја со грешници и животот мој со лу е крвници,
10. во чии раце има беззаконие, чија десница е полна со поткупи.
11. Јас, пак, одам во својата непорочност, избави ме, Господи, и помилуј ме.
12. Ногата моја стои на прав пат, во собранијата ке Те благословувам, Господи.

Псалм 27

1. Господ е моја светлина и мое спасение: од кого да се бојам? Господ е крепост на мојот живот, од кого ке се плашам?
2. Кога се приближија до мене злобни противници и непријатели, за да го изедат телото мое, ослабнаа, се сопнаа, и паднаа.
3. И полк да се крене против мене, нема да се исплаши срцето мое; дури и цела војска да се дигне против мене, и тогаш ке се надевам на Него;
4. само за едно Го молам Господа, само тоа го сакам: да останам во домот Господов преку сите денови на животот мој, да ја гледам Господовата убавина и да го посетувам Неговиот свет храм,
5. зашто во злочест ден Он би ме сокрил во Својата скинија, би ме сокрил под покривот на своето живеалиште; би ме искачил на карпа.
6. Тогаш главата моја ке се издигне над непријателите што ме опкужуваат; и јас ке принесам во скинијата Негова жртва поради радоста, па ке пеам и ке го фалам Господа.
7. Чуј го, Господи, гласот мој, бидејки кон Тебе викам помилуј ме и услиши ме.
8. Срцето мое ги повторува Твоите зборови: - Барај го лицето Мое; и јас го барам лицето Твое, Господи.
9. Не сокривај го од мене лицето Свое; не го одбивај во гневот слугата Твој. Биди мој помошник; не отфрлувај ме и не ме оставај, Боже, Спасителе мој!
10. Зошто татко ми и мајка ми ме оставија, но Господ ме прими.
11. Научи ме, Господи, на Твојот пат и упати ме по патеката на правдата, поради непријателите мои;
12. не ме предавај на своеволноста на непријателите, зашто востанаа против мене лажни сведоци и дишат злоба.
13. Но јас верувам, дека ке ја видам Господовата благост во земјата на живите.
14. Надевај се на Господа, биди мажествен; нека е цврсто срцето твое; надевај се на Господа.

Псалм 28

1. Кон Тебе, Господи, викам; не биди безгласен кон мене, та да не заприлегам при Твоето молчење на оној што слегува во гроб.
2. Чуј го гласот на молитвите мои, кога Ти се молам, кога кревам раце кон Твојот свет храм.
3. Не вбројувај ме ме у нечестивци и злосторници, кои со ближните свои говорат за мир, а во срцето имаат зло.
4. Подај им, Господи, според нивните дела, според нивните лоши постапки; според делата на нивните раце, подај им го она што го заслужиле.
5. Зашто не ги разбраа делата на Господа, ниту делата на рацете Негови; Он ке ги сосипе и нема да ги подигне.
6. Благословен Господ, зашто Он го чу гласот на молитвите мои.
7. Господ е крепост моја и штит мој; на Него се надеваше срцето мое и Он ми помогна; затоа се зарадува срцето мое и Јас ке го прославувам со сето мое срце.
8. Господ е крепост на Својот народ и заштитник за спасението на Својот помазаник.
9. Спаси го народот Свој и благослови го наследството Твое; паси ги и издигај ги довека!

Псалм 29

1. Принесете Му на Господа, синови Божји, принесете Му на Господа јаганца, принесете Му на Господа слава и чест,
2. принесете Му слава на Господа и на името Негово, поклонете Му се на Господа во Неговиот свет двор.
3. Гласот Господов е над водите; Бог на славата загрми, Господ е над многу води.
4. Гласот Господов е во силата, гласот Господов е во велелепието.
5. Гласот Господов крши кедри; ке ги скрши Господ кедрите ливански,
6. и направи како теле да потскокнува Ливан, а Сирион - како младо биволче.
7. Гласот Господов сече како огнен пламен.
8. Гласот Господов ја потресува пустињата; ке ја затресе Господ пустињата Кадес.
9. Гласот Господов ги ослободува бремените кошути и ги оголува горите; и во храмот Негов секој ја возвестува славата Негова.
10. Господ седи на престолот над потопот, и ке седи Господ како цар довека.
11. Господ ке му даде сила на Својот народ, Госод со мир ке го благослови народот Свој.

Псалм 30

1. Ќе Те вознесувам, Господи, затоа што ме прифати и не допушти непријателите мои да се радуваат над мене.
2. Господи, Боже мој, повикам кон Тебе, и Ти ме исцели.
3. Господи, Ти ја изведе душата моја од пеколот и ме спаси од оние што слегуваат во гроб.
4. Пејте Му на Господа, праведници Негови, и исповедајте Го, секавајки се на Неговата светост,
5. зашто гневот Му е во јароста Негова, а животот - во милоста Негова: навечер настанува плач, а изутрина голема радост.
6. И јас си реков во изобилието мое: 'Нема да се поколебам довека.'
7. Господи, според вољата Твоја подај и на добрината моја сила; но Ти го сокри лицето Свое, и јас се збунив.
8. Тогаш кон Тебе, Господи, повикав и не мојот Бог, му се помолив:
9. 'Каква полза од крвта моја, кога ке слезам во гроб? Ќе ја исповеда ли правот, ке ја објави ли тој вистината Твоја?'
10. Му услиши Господ, и ме помилува, и Господ стана помошник мој.
11. Ти ја претвори тагата моја во радост, го симна од мене костретот и ме препаша со веселба,
12. за да Те слави душата моја и да не замолкнам; Господи, Боже мој, вечно ке те славам!

Псалм 31

1. На Тебе, Господи, се надевам, за да не се посрамам довека; поради правдата Своја спаси ме и очисти ме.
2. Приклони го увото Твое кон мене, побрзај да ме избавиш. Биди ми Бог заштитник и прибежиште, за да се спасам.
3. Зашто Ти си крепост моја и прибежиште мое, заради името Твое поведи ме и управувај со мене.
4. Изведи ме од оваа стапица, која потајно ми ја поставија, зашто Ти си мој заштитник.
5. Во Твоите раце го предавам духот свој; Ти си ме спасувал, Господи, Боже на вистината.
6. Не ти се мили оние што пазат суетни работи, но јас се надевав на Господа.
7. Ќе се радувам и ќе се веселам поради Твојата милост, зашто Ти погледна на смиреноста моја и ја спаси од мака душата моја,
8. и не ме предаде во рацете не непријателите мои; нозете мои ми ги постави на чистина.
9. Помилуј ме, Господи, зашто сум притеснет од скрб: се помрачија во јароста окото мое, душата моја и утробата моја.
10. Премале од жал животот мој, и годините мои - од воздишки; изнеможе силата моја, и страв во коските мои ме опфати.
11. Пред сите непријатели мои станав за прекор, дури и пред соседите мои, а и плашило за познатите мои; оние што ќе ме видат на пат, бегаат од мене.
12. Заборавен како мртовец сум во срцата на лу ето; станав како скршен сад,
13. биедејќи чув дека мнозина околу мене погубно шетаат, и кога ќе се соберат заедно, се договораат и душата моја да ми ја одземат.
14. Јас, пак, се надевам на Тебе, Господи, и си реков: Ти си мој Бог.
15. Дните мои се во Твоите раце; избави ме од рацете на непријателите мои и од гонителите мои.
16. Нека засветли лицето Твое над слугата Твој; спаси ме со Твојата милост.
17. Господи, не допушти да се посрамам, поради тоа што кон Тебе повикав; нечестивите нека се посрамат и нека замолкнат во пеколот.
18. Да онемеат лажливите усти, што говорат лошо против праведникот со гордост и презрение.
19. Колку е голема добрината Твоја, Господи, што си ја запазил за оние, кои се бојат од Тебе, и што си ја приготвил за оние, кои се надеваат на Тебе пред синовите човечки!
20. Ќе ги сокриеш под покривот на лицето Свое од човечките возбуди, ќе ги заклониш од нападите на јазиците противнички.
21. Нека е благословен Господ, зашто ја пројави кон мене Својата чудесна милост во утврдениот град!
22. Во малодушноста своја си реков: отфрлен сум од очите Твои; но Ти ги услиши гласот на молитвата моја, кога повикав кон Тебе.
23. Сакајте Го Господа, сите праведници Негови, зашто Господ бара вистина и им отплатува на оние, кои премногу гордо постапуваат.
24. Вие сите бидете силни и нека крепне срцето ваше што се надевате на Господа!

Псалм 32

1. Блажени се оние, чии беззаконија им се простени, и чии гревови се покриени!
2. Блажен е оној човек, на кого Господ не му зема за грев, и во чија уста нема лукавство!
3. Затоа што замолкнав, се исушија коските мои од секојдневното мое воздишување,
4. бидејки и дење и ноке тежеше над мене раката Твоја, копнеев како на летен припек.
5. Но јас го познав гревот мој и не го сокрив беззаконието свое, па реков: 'Ке ги исповедам на Господа моите престапи,' и Ти ми го прости гревот мој.
6. Затоа секој праведник нека Ти се помоли навреме, и тогаш притисокот од многуте води нема да го достигне.
7. Ти си мое прибежиште од маката со која сум опкружен; радост моја голема, спаси ме од оние кои ме опколија.
8. 'Ке те вразумам,' - вели Бог - 'ке ти го покажам патот, по кој да одиш; ке ги управувам очите Мои на тебе.'
9. 'Не бивајте како коњ или како маска, кои немаат разум, чија челуст со узда и оглавник се скротува за да ти се покоруваат.'
10. Многу маки ке го снајдат грешникот, но оној кој се надева на Господа, него милост ке го опкружува.
11. Веселете се во Господа и радувајте се, праведници: радувајте се сите кое сте со чисти срца.

Псалм 33

1. Радувајте се, праведници, во Господа: на праведниците им прилега похвала.
2. Славете Го Господа со гусли, пејте Му на псалтир со десет жици,
3. пејте Му нова песна; пејте Му силно и со восклик,
4. зашто словото на Господа е право, и сите дела Негови се вистински.
5. Он сака милостиња и суд преведен; со милоста Господова е исполнета земјата.
6. Преку словото на Господа се зацврстија небесата, и преку Духот на устата Негова - сите сили нивни.
7. Он ги собира како во мев морските води; бездните ги става во сокровишта.
8. Нека се бои од Господа целата земја; нека треперат пред Него сите жители во вселената,
9. зашто Он рече и тие настанаа; Он заповеда и се создадоа.
10. Господ ги руши помислите на незнабошците, ги спречува намерите нивни и ги сопира помислите на кнезовите.
11. А замислата Господова вечно постои; мислите на срцето Негово преминуваат од род во род.
12. Блажен е оној народ, на кој Господ му е Бог, и лу ето, кои Он ги избрал за наследството Свое.
13. Од небесата погледа Господ, ги виде сите синови човечки;
14. од престолот, на кој седи, погледна на сите, кои живеат по земјата:
15. Он, Кој на сите ним им ги создал срцата, ги знае сите дела нивни.
16. Не го спасува царот голема војска; голема сила ни исполинот нема да го спаси.
17. Несигурен е коњот за спасување, со глемата сила своја не може никогаш да се избави.
18. Но, ете, очите Господови се врз оние, кои се бојат од Него и кои се надеваат на милоста Негова,
19. дека Он ке ја спаси душата нивна од смрт и во време на глад ке ги прехрани.
20. Душата наша се надева на Господа: зашто Он е наш помошник и наш заштитник,
21. зашто во Него ке се весели срцето наше; оти на името Негово свето се надеваме.
22. Милоста Твоја нека биде над нас, Господи, онака како што Ти се надеваме.

Псалм 34

1. Ќе го благословувам Господа во секое време; пофвала за Него секогаш има во мојата уста.
2. Со Господа ке се фали душата моја! Нека го чујат тоа кротките и нека се зарадуваат.
3. Возвеличете Го Господа со мене, и заедно да го превознесуваме името Негово.
4. Го побарав Господа, и Он ме чу и од сите опасности мои ме избави.
5. Пристапете Му и ке се просветите, и лицата ваши нема да се посрамат.
6. Кога несрекниот вика, - Господ го услишува и го спасува од сите негови беди.
7. Ангел Господов застанува околу оние, кои се бојат од Него, и ги спасува.
8. Вкусете и ке видите, колку е благ Господ! Блажен е оној човек, кој на Него се надева!
9. Бојте се од Господа, сите праведници Негови, зашто ништо нема да им недостига на оние кои се плашат од Него.
10. Осиромешеа и огладнеа богатите, а оние што Го побараа Господа, не ке бидат лишени од секакви добра.
11. Дојдете, чеда, послушајте ме: јас ке ве научам да се боите од Господа.
12. Сака ли човек да живее и да види добри денови,
13. нека си го воздржува јазикот од зло и устата своја од лаги,
14. нека се клони од зло и нека прави добро; да бара мир и да врви по него.
15. Очите на Господа се обрнати кон праведниците, и ушите Негови - кон молитвите нивни.
16. Но лицето на Господа и против оние што вршат зло; ке го истреби од земјата споменот за нив.
17. Повикаа праведниците, и Господ ги услиши и ги спаси од сите маки нивни.
18. Блиску е Господ до оние со скрушено срце, и смирените по дух ке ги спаси.
19. Бројни се маките на праведниците, но од сите нив Господ ке ги избави.
20. Господ ги чува сите коски нивни; ниедна од нив нема да се строши.
21. Зла смрт го снао а грешникот, а оние, што го мразат праведниот, ке загинат.
22. Господ ке ги спаси душите на слугите Свои, и никој од оние, кои се надеваат на Него, нема да погрешат.

Псалм 35

1. Пресуди им, Господи, на оние кои ме навредуваат, и собори ги оние што се борат против мене;
2. зами оружје и штит и дојди ми на помош;
3. извади го мечот и пресретни ги гонителите мои; кажи и на душата моја: 'Јас сум спасение Твое!'
4. Да се постидат и засрамат оние што ја бараат душата моја: нека се повратат и нека се посрамат, оние што ми мислат зло;
5. нека бидат како прав пред ветрот, и Ангел Господов да ги прогонува,
6. патот нивни нека биде темен и лизгав, и Ангел Господов да ги прогонува,
7. бидејки без вина поставија тајна мрежа за моја пропаст, без вина ја навредија душата моја.
8. Нека дојде врз нив замка што не ја знаат и мрежата нивна, што ја поставија за мене, да ги улови самите нив; нека се сплеткаат во неа и нека загинат.
9. А мојата душа ке се радува во Господа, ке се весели поради спасението од Него.
10. Сите коски мои ке речат: 'Господи, кој е подобен на Тебе, Кој спасуваш слаб од силен, беден и сиромав од грабителите нивни?'
11. Се кренаа против мене неправедни сведоци: и за она што не го знам ме сослушуваат;
12. ми вракаат зло за добро, и душата моја останува осамена.
13. А кога ми додеваа, јас се облекував во кострет, ја истоштував душата моја со пост, и молитвата ми се вракаше во градите мои.
14. Постапував така, како тој да беше ближен мој, мој брат; одев тажен со наведната глава; како оној што е загрижен и нажален, така се смирував.
15. А тие се зарадуваа и се собраа против мене, ми задаваа рани, а да не знам зошто, ме кинеа и не престануваа;
16. ме доведоа до искушение, ми се потсмеваа многу и со забите свои крцкаа против мене.
17. О, Господи, кога ке го погледаш тоа? Оттргни ја душата моја од нивните злодела, мојата осамена душа - од тие лавови.
18. Ке Те прославувам, Господи, на големо собрание, ме у многуброен народ ке Те восфалувам;
19. не допушти да се зарадуваат над мене оние, кои ми се непријатели без причина, кои ме мразат без вина и намигнуваат со очите.
20. Зашто за мир ми зборуваа тие, а во лутината своја смислуваа измами.
21. Ги отворија устите свои против мене, велејки: 'Добро! Добро! Очите наши видоа.'
22. Ти виде Госоди, немој да премолчиш; Господи, не отстапувај од мене!
23. Стани, разбуди се поради мојата правда, о Боже мој и Господи мој!
24. Пресуди ми според Твојата правда, Господи, Боже мој, та да не ликуваат оние над мене;
25. за да не речат во срцето свои: 'Добро, добро за душата наша!' и да не кажат: 'го проголтавме.'
26. Нека се постидат и засрамат сите, кои се радуваат на мојата несрека; да се облчат во срам и позор, оние што се гордеат над мене.
27. Нека се зарадуваат и нека се развеселат, оние што ја сакаат мојата правда, и непрестајно нека велат: да се возвеличи Господ, Кој му пожелува мир на Својот слуга!
28. И јазикот мој ке зборува за правдата Твоја и за Твојата похвала секој ден.

Псалм 36

1. Беззаконикот зборува во себеси - дека греши, нема страв Божји пред очите негови,
2. зашто тој се залажува себеси, место да го увиди своето беззааконие и да го намрази;
3. зборовите на устата негова се неправда и лукавство; тој не сака да се вразуми, и да врши добро;
4. на леглото свое си помислува беззконие, поа а на лош пат, од зло не се гнаси.
5. Господи, Твојата милост е на небесата, Твојата вистина - до облаците!
6. Твојата праведност е како горите Божји, а судовите Твои како голема бездна! И лу е и добиток ке спасиш Ти, Господи!
7. О колку обилно си ја пројавил Твојата милост, Боже! Синовите човечки ке се надеваат под Твојата закрила;
8. тие ке се наситат од изобилието на Твојот дом, и од потокот на Твојата красота ке ги напојуваш;
9. зашто во Тебе е изворот на животот: во Твојата светлина ке гледаме светлина.
10. Покажи ја милоста Своја кон оние кои Те познаваат, и правдата Своја кон оние со чисто срце;
11. да не ме згази ногата горда, и раката на грешникот да не ме поколеба.
12. Таму паднаа они, што вршат беззаконие; соборени се и не можат веке да станат.

Псалм 37

1. Не жести се поради злобниците и не завидувај им на оние што вршат беззаконие,
2. зашто тие ке се исушат како трева, и како зелено растение набргу ке свенат.
3. Надевај се на Господа и прави добро; живеј на земјата и таа ке те храни изобилно.
4. Утешувај се со Господа, и Он ке ти даде срцето срцето твое што ке посака.
5. Откриј го патот свој пред Господа и на Него надевај се и Он ке изврши се;
6. и ке ја изведе правдата твоја како светлина, и справедливоста твоја - како пладне.
7. Покори Му се на Господа и моли Го усрдно. Не жести се на оној, кој успева на патот свој, на човек кој врши беззаконие.
8. Престани да се гневиш и остави ја јароста, не жести се толку многу - самиот да не правиш зло,
9. зашто оние, што вршат зло, ке бидат истребени, а оние, кои се надеваат на Господа, ке ја наследат земјата.
10. Уште малку, и грешникот ке го нема; ке го побараш местото негово и нема да го најдеш.
11. А кротките ке ја наследат земјата и ке се насладуваат во изобилен мир.
12. Грешникот ке демнее на праведниот и ке чкрта со забите против него,
13. но Господ ке го измее, зашто однапред гледа, дека му се ближи крајот.
14. Грешниците ги вадат мачевите, го оптегнуваат лакот свој, за да го кутнат бедниот и сиромавиот, за да ги прободат оние, што се со чисто срце.
15. Но мечот нивни нека се забие во нивното срце, и лаковите нивни нека се скршат.
16. Малото богатство кај праведниот е многу подобро отколку големото богатство на грешниците.
17. Зашто мишките на грешниците ке спласнат, а на праведниците Господ им ги поткрепува.
18. Господ ги знае патиштата на непорочните; и нивното наследство ке биде вечно:
19. во зло време нема да бидат посрамени и во деновите на глад ке бидат сити;
20. зашто грешниците ке загинат, и непријателите Господови ке ги снема заедно со нивната слава и величие; ке исчезнат како дим.
21. Грешникот зема на заем и не може да врати, а праведникот е милостив и дава,
22. зашто оние, кои Господа Го благословуваат, ке ја наследат земјата, а кои Го проколнуваат, ке бидат истребени.
23. Господ ги завцрстува стапките на човекот и мили Му се неговите патишта:
24. кога треба да падне, нема да се разбие, зашто Господ ке го држи.
25. Бев млад, веке остарев, и не видов оставен праведник ниту потомците негови леб да просат;
26. тој секој ден знае да се смилува и на заем да дава, и потомството негово ке биде благословено.
27. клони се од зло и прави добро, па ке живееш вечно;
28. зашто Господ ја сака правдата и не ги остава преведниците Свои; нив вечно ке ги чува. А беззакониците ке бидат исфрлени и потомството на безбожниците ке биде истребено.
29. Праведниците ке ја наследат земјата и ке живеат на неа вечно.
30. Устата на праведникот кажува мудрост, а јазикот негов изговара правда.
31. Законот на неговиот Бог е во срцето негово; стапките негови нема да се сопнат;
32. греникот го демне праведикот и бара да го убие;
33. но Господ нема да го предаде во негови раце и нема да го осуди, кога ке биде суден.
34. Надевај се на Господа и пази ги Неговите патишта; Он ке те воздигне, за да ја наследиш земјата; и ке го гледаш истребувањето на грешниците.
35. Видов страшен безбожник, кој се превознесуваше и издигаше како кедрите ливански.
36. Поминав и, ете, го нема; го побарав, и не го најдов.
37. Чувај ја незлобивоста и пази ја правдата, зашто наследството на таков човек е мир;
38. а безбожниците сите ке бидат истребени, нивното наследство ке се затре.

39. Спасението, пак, на праведниците доа а од Господа и Он е нивни заштитник во тешко време;
40. и ке им помага Господ и ке ги избави; ке ги одбере од грениците и ке ги запази, зашто на него се надеваат.

Псалм 38

1. Господи, во јароста Своја не карај ме и во гневот Свој не казнувај ме,
2. зашто стрелите Твое се забија во мене, и Твојата рака тежи врз мене,
3. За телото мое нема лек од Твојот гнев; во коските мои нема мир од гревовите мои;
4. зашто беззаконијата мои ја навдвишија главата моја, како тешко бреме ме притиснаа.
5. Смрдат и гнијат раните мои поради безумието мое.
6. Настрадав и се стопив сосема, цел ден натажен одам;
7. бидејки одвнатре горам од оган, нема лек за телото мое.
8. Озлобен сум и прекумерно понизен; рикав поради воздишките на срцето Мое.
9. Господи, пред Тебе се сите мои желби, и мојата воздишка не е сокриена од Тебе.
10. Срцето ми се возбуди, и ме напушти силата моја, и светлината на очите мои, - и неа ја нема во мене.
11. Моите пријатели и моите ближни се приближија и не се доближија; застанаа подалеку од мене,
12. а оние што ја бараа душата моја, зборуваа лошо и без основа и секој ден кроеја сплетки;
13. а јас, пак, како глув не слушав и сум како нем, кој не ја отвора устата своја;
14. станав како човек, што не слуша и што во устата своја нема прекор,
15. зашто на Тебе, Господи, се надевав; Ти ке ме услишиш, Господи, Боже мој.
16. Оти си реков: да не се погордеат над мене моите неприајтели; и кога ми се поколебаа нозете мои, тие изговорија лоши зборови над мене.
17. Готов сум да паднам, и јадот мој секогаш е пред мене.
18. Беззаконието свое го признавам и ке се смирувам поради гревот мој.
19. А непријателите мои живеат и се посилни стануваат од мене, и се намножија оние што неправедно ме мразат,
20. па вракајки ми зло за добро, бидејки бев за правда, тие ме отфрлија како мртовец.
21. Не оставај ме, Господи, Боже мој, не отстапувај од мене;
22. побрзај да ми помогнеш, Господи, Спасителе мој!

Псалм 39

1. Си реков: ке пазам на патиштата мои, за да не згрешам со јазикот свој; се погрижив устата моја да е претпазлива додека е грешникот пред мене.
2. Онемев и се смирив, и замолкнав дури и за доброто; и јадот мој се обнови.
3. Пламна срцето мое во мене и додека размислувам оган ке се разгори во мислите мои. Проговорив со јазикот свој:
4. кажи ми го, Господи, мојот крај, и колкав е бројот на моите дни, за да знам колку сум ништожен.
5. Ете, Ти си ми дал дни колку една педа, и векот мој е како ништо пред Тебе. И навистина, се е суета, секој човек што живее.
6. Навистина, човек оди како сенка и залудно се возбудува; собира богатство, а не знае кому ке му го остави.
7. И сега што да очекувам? Зар надежта не е во Тебе, Господи?
8. Спаси ме од сите беззаконија; си допуштил да бидам поруга на безумниот.
9. Занемев и не ја отворив устата, зашто Ти ме создаде.
10. Отстрани ги од мене ударите Твои, изнемоштувам од Твојата силна рака.
11. Преку казни заради беззаконија си го воспитал човекот и душата негова си ја расточила како пајажина. И залудно се возбудува секој човек.
12. Услиши ја, Господи, молитвата моја и почуј ја молбата моја; не биди безгласен како моите солзи, зашто сум ту во Тебе и придојден, како сите мои татковци.
13. Допушти ми да здивнам, пред да заминам и да ме нема веке.

Псалм 40

1. Долго време се надевав на Господа, и Он се наклони над мене и ја чу молитвата моја,
2. и ме изведе од длабината на јадот и од длабока тиња, па ги постави нозете мои на камен и ги зацврсти стапалата мои;
3. а во устата моја вложи нова песна - похвала на нашиот Бог. Мнозина ке видат, и страв ке ги опфати и ке се надеваат на Господа.
4. Блажен е оној човек, чија надеж е името на Господа и не се загледува во ништожни работи и лажни воодушевувања.
5. Многу чудесни дела си направил. Господи, Боже мој, и по многуте мисли Твои кој може да се спореди со Тебе! Почнав да ги објавувам и да зборувам со нив, но тие број немаат.
6. Жртви и приноси Ти не побара, но телото ни го подготви; сепаленица и жртва за грев Ти не побара.
7. Тогаш реков; еве, идам; во книгата за мене е напишано;
8. одлучив да ја исполнам вољата Твоја, Боже мој; и Твојот закон е во срцето мое.
9. ја објавувам Твојата правда во големото собрание; не и бранев на устата моја; Ти го знаеш тоа, Господи.
10. Твојата правда не ја сокрив во срцето мое, ја објавив вистината Твоја и спасението Твое; и не је затаив Твојата милост и Твојата вистина од собранието.
11. Но, Господи, не отстранувај го милосрдието Твое од мене; Твојата милост и Твојата вистина ме пазеа постојано,
12. зашто зла безбројни ме опкружија; ме притиснаа беззаконијата мои, и не можев дури ни да гледам, - тие се повеке од влакната на главата моја; а и срцето мое ме остави.
13. Благоволи, Господи, да ме избавиш; Господи, побрзај ми на помош.
14. Нека се засрамат и нека поцрвенат сите, кои бараат да ја погубат душата моја! Нека бидат вратени назад и нека бидат предадени на потсмев оние, кои ми сакаат зло.
15. Веднаш да си го понесат својот срам оние, кои сакајки да ми се наругаат велат: 'Добро, добро!'
16. Нека се зарадуваат и нека се развеселат во Тебе сите, кои Те бараат, и оние што сакаат спасение од Тебе непрестајно нека зборуваат: велик е, велик - Господ!
17. А јас сум сиромав и беден; Господ ке се грижи за мене. Ти си помошник мој и заштитник мој, Боже мој, не задоцнувај.

Псалм 41

1. Блажен е оној, што ги прегледува бедните и сиромасите! Во злочест ден Господ ќе го
избави.
2. Господ нека го запази и нека го заштити и ублажи животот негов на земјата; и да не го
предаде во рацете на непријателот негов.
3. Господ нека му помогне кога лежи болен в постела. Ти ја изменуваш целата постела негова
при болеста негова.
4. Реков: 'Господи, смилуј се на мене, излекувај ја душата моја, зашто згрешив пред Тебе.'
5. Непријателите мои зборуваат лошо за мене: 'Кога ќе умре, и кога ќе загине името негово?'
6. И ако некој дојде да ме види, говори лага; неговото срце собира неправда во себе, и тој,
штом ќе излезе надвор, расправа.
7. Сите мои непријатели шепотат ме у себе против мене, помислувајќи ми зло:
8. 'За законопрестапен збор ме набедија; кој еднаш легне веќе нема да стане.'
9. Дури и човекот, кој беше во мир со мене и на кого се надевав, кој јадеше мој леб, ја крена
ногата против мене.
10. А Ти, Господи, помилуј ме, исправи ме, та да им возвратам.
11. По тоа ќе дознаам, дека сум ти мил, кога непријателот мој нема да се погордее над мене;
12. а мене, пак, ме прифати цел поради мојата незлобивост и ме зацрсти пред Себе вечно.
13. Нека е благословен Господ, Бог Израилев, од века до век! Амин, амин!

Псалм 42

1. Како што кошутата жеднее по водни извори, така и душата моја, Боже, копнее по Тебе!
2. Душата моја жедува за силниот и живиот Бог: кога ке дојдам и ке се јавам пред лицето Божјо?
3. Солзите мои беа леб за мене и дење и ноке, кога секој ден ми зборуваа: каде е твојот Бог?
4. Се сетив на тоа и ја излив душата своја, зашто ке поминам низ места каде што е чудесната скинија - до Божјиот дом - при гласно воскликнување и прославување, како на голем празник.
5. Зошто тагуваш, душо моја, и зошто толку ме вознемируваш? Надевај се на Бога, бидејки јас не Него се надевам, мојот Бог е мое спасение.
6. Се возбуди душата моја во мене, поради тоа ке си спомнувам на Тебе до земјата Јорданска, од Ермон и од гората мала.
7. Бездна повикува бездна со гласот на Твоите водопади; сите Твои води и Твои бранови навалија на мене.
8. Дење Господ ке ја покажува милоста Своја, а јас ноке ке Му пеам и ке Му се молам на Бога на мојот живот.
9. Ke му речам на Бога: Ти си мој застапник. Зошто ме заборави? Зошто одам нажален додека непријателот ме притискува?
10. Трошејки ги коските мои, непријателите мои се подигруваат со мене, велејки ми секој ден: каде е твојот Бог?
11. Зошто тагуваш, душо моја, и зошто ме вознемируваш? Надевај се на Бога, бидејки Него јас пак ке Го прославувам, мојот Бог е моето спасение.

Псалм 43

1. Пресуди ми, Боже, и расправи ја тужбата моја против народот кој не е свет. Избави ме од неправеден и лукав човек.
2. Бидејки Ти си крепост моја, Боже, зошто си ме отфрлил? И зошто одам така нажален додека непријателот ме мачи?
3. Испрати ја Твојата светлина и Твојата вистина да ме водат и да ме доведат во Твојата света гора и во Твоето живеалиште.
4. И ке пристапам до Божјиот жртвеник, до Бога, Кој ја радува мојата младост. На цитра ке Те славам, Боже, Боже мој!
5. Зошто тагуваш душо моја, и зошто ме вознемируваш! Наведај се на Бога, бидејки пак ке Го исповедам Него, Спасителот и мојот Бог.

Псалм 44

1. Боже, со ушите наши чувме, а татковците наши ни раскажуваа за делото што си го направил во нивните дни, во деновите древни.
2. Ти со Твојата рака си истребил народи, а нив си ги населил; си поразил лу е и си ги изгонил;
3. бидејки тие не со меч ја придобија земјата, и нивните мишки не ги спасиле, туку Твојата десница и Твојата мишка и светлината на Твоето лице, зашто Ти беа по волја.
4. Боже, само Ти си цар мој и Бог мој, Кој му извојува победа на Јакова.
5. Со Тебе, како со рогови, ке ги избодеме нашите непријатели, и со Твоето име ке ги уништиме оние, што востануваат против нас;
6. зашто јас нема да се надевам на мојот лак и мечот мој нема да ме спаси;
7. туку Ти ке не спасиш од непријателите наши и ке ги посрамиш оние што не мразат.
8. Со Бога ке се фалиме секој ден и Твоето име вечно ке го прославуваме.
9. Но сега Ти не отфрли и не посрами, па не излегуваш, Боже, со нашите војски;
10. не сврти во бегство пред непријателите наши, и оние, што не мразат, не ограбуваа.
11. Не предаде како овци да не изедат и не растури ме у незнабошците.
12. Ефтино го продаде народот Свој и со тоа не ја крена цената негова;
13. не предаде за презир кај соседите наши, за потсмев и хулење на оние, кои живеат околу нас;ф
14. не направи за приказ ме у незнабошците, и мнозина ја вртат главата.
15. Секој дена срамот мој е пред мене, и црвенило го покрива лицето мое,
16. од гласот на оној што се потсмева и од клеветникот, од непријателите и одмаздниците.
17. Сето тоа не снајде нас, но ние не Те заборавивме, Тебе и не го нарушивме Заветот Твој.
18. И не отстапи срцето наше, и стапките наши не се отклонија од Твојот пат.
19. зашто не порази во местото, каде што бевме озлобени и не покри со смртна сенка.
20. Ако го бевме заборавиле името на нашиот Бог и да ги бевме протегнале рацете наши кон ту бог,
21. зар Бог тогаш немаше да испита за тоа? Зашто Он ги знае тајните на срцата.
22. Заради Тебе умираме секој ден, не сметаат како овци определени за клање.
23. Рабуди се, зошто спиеш, Господи! Разбуди се, и не отфрлај не засекогаш!
24. Зошто го одвракаш лицето Свое, ја забораваш бедата наша и неволјата наша?
25. Бидејки душата наша се понизи до прав, а утробата ни се прилепила на земјата,
26. стани, Господи, и помогни ни, избави не поради името Твое.

Псалм 45

1. Од срцето мое се излива благ збор; му зборувам на Царот за делата мои; јазикот ми е како трска на брзописец.
2. Ти си најпрекрасниот ме у синовите човечки, благодат се излива од Твојата уста; затоа Бог Те благословил довека.
3. Препаши го на бедрото мечот Свој, о силнику: во Својата красота и убавина!
4. И така украсен, поитај и царствувај заради вистината, кротоста и правдата, и Твојата десница ке покаже чудесни дела.
5. Изострени се Твоите стрели, о јунаку, народите ке паднат пред Тебе, - тие ке се забодат во срцата на царските непријатели.
6. Твојот престол, Боже, е вечен: жезлото на правдата е жезло на Твоето царство.
7. Ти ја засака правдата и го намрази беззаконието; затоа, Боже, Твојот Бог, Те помаза со елеј на радоста повеке од Твоите соучесници.
8. Сите Твои облеки мирисаат на смирна, алој и касија; кога излегуваш од дворците од тешка слонова коска, во што нао аш радост.
9. Царски керки се во Твојата почесна придружба; царицата стои покрај Тебе оддесно во облека украсена и со злато проткаена.
10. Чуј, керко, види, приклони го увото свое и заборави го твојот народ и домот на таткото твој.
11. Зашто Царот ја посака твојата убавина, оти Он е твој Господар и приклони Му се тогаш ти.
12. И керката тирска ке Му се поклони со подароци и најбогатите ме у народот ке те замолат.
13. Сета слава на царската керка е внатре: нејзината облека е везена со злато;
14. во везена облека ке ја доведуваат кај Царот; по неа водат при Тебе девици, нејзини другарки, и ги приведуваат кон Тебе,
15. ги доведуваат со веселба и радост, влегуваат во Царевиот дворец.
16. Место твоите татковци, овде ке бидат твоите синови; Ти ке ги поставиш за кнезови по целата земја.
17. Ќе го спомнуваат името Твое од род во род; затоа народите ке Те слават од век до век.

Псалм 46

1. Бог ни е нам прибежиште и сила, помошник, на секој кој е во мака ке се најде.
2. Затоа нема да се уплашам, па макар и земјата да се разниша, и горите да се преместат во срцето морско.
3. Збучеа и се креваа водите нивни, се затесоа горите од жестината нивна.
4. Речните потоци го веселат Божјиот град, Севишниот го осветли живеалиштето Свое.
5. Бог е среде него; тоа нема да се разниша: Бог ке му помогне уште пред зори.
6. Се збунија народите; се потресоа царствата; Севишниот го пушти Својот глас, и земјата се затресе.
7. Господ на силите е со нас, Јакововиот Бог е наш застапник.
8. Дојдете и видете ги делата Божји - чудесата што ги направи Он на земјата.
9. Прекратувајки ги војните до крајот на земјата, ке го скрши лакот и ке го здроби оружјето, и штитовите големи со оган ке ги изгори.
10. Застанете и разберете дека Јас сум Бог; ке се издигам над народите и ке се превознесувам над земјата.
11. Господ на силите е со нас, Јакововиот Бог е наш застапник.

Псалм 47

1. Заплескајте со рацете, сите народи воскликнете кон Бога со радосен глас;
2. зашто Севишниот Господ е страшен, Голем Цар е над целата земја.
3. Он ни покори под нозете лу е и народи;
4. за Свое наследство ни ја избра красотата на Јакова, кого го возљуби.
5. Се издигна Бог при восклици, Господ се возвисува при трубен звук.
6. Пјете му на нашиот Бог, пејте; пејте му на нашиот Цар, пејте,
7. зашто Бог е Цар над целата земја; пејте Му мудро!
8. Бог се зацари над народите, Бог седи на светиот Свој престол;
9. незнабожечките кнезови се состанаа со Авраамовиот Бог, зашто земните силници кои Му припа аат на Бога, силни се подигнаа.

Псалм 48

1. Голем е Господ и многу фален во градот на нашиот Бог, на Својата света гора.
2. Прекрасна возвишеност, радост на целата земја е горатa Сион; на северната страна нејзина е градот на големиот Цар.
3. Бог, Кој е во Својот дворец, знаеме дека е заштитник.
4. Зашто, ете, се собраа царевите земни и сите дојдоа заедно,
5. па, откако видоа, се восхитија, се збунија и се поколебаа:
6. страв ги опфати таму, па се мачеа како жена родилка;
7. и со силен ветар ги разби тарсиските кораби.
8. Како што чувме, така и видовме во градот на Господа на силите, во градот на нашиот Бог: Бог го основа за довека.
9. Ја примивме, Боже, милоста Твоја среде храмот Твој.
10. Според името Твое, Боже, е и Твојата пофвала до краиштата на земјата: Твојата десница е полна со правда.
11. Нека се весели горатa Сион, и да се радуваат јудејските керки заради Твоите судови, Господи.
12. Одете околу Сион и обиколете го, прикажувајте во кулите негови.
13. Положете ги срцата свои во неговата мок; разгледајте ги неговите дворци, за да му раскажете на идниот род.
14. Зашто овој Бог е наш Бог во сите векови: Он ке ни биде пастир вечен.

Псалм 49

1. Чујте го ова сите народи; внимавајте вие сите што живеете по вселената,
2. земнородни и синови човечки, како богатите така и сиромасите.
3. Устата моја ке кажува мудрост, и мислата на срцето мое - поука.
4. Ќе го наклонам увото свое кон раскажувањето: со гусла ке ја отркијам гатанката моја.
5. Зошто да се плашам во тешки денови, кога беззаконието на моите патишта ке ме опколи?
6. Вие, што се надевате на силите свои и се фалите со големото богатство свое, чујте:
7. Братот не може да се искупи; а може ли човекот да се откупи? На Бога нема да му даде откуп за него,
8. ниту цена за откуп на душата своја.
9. Некој и ке се намачи долго, ке живее до крајот и пак ке пропадне, кога ке види дека и мурдите умираат.
10. Неразумните и безумните загинуваат заедно, а го оставаат богатството на други.
11. Тие си мислат, дека горбовите нивни се вечни, живеалиштата од род во род, така што земјите нивни ги носат имињата нивни.
12. И човек со почест ова не го разбира; па заприлегува на животните, со кое се поистоветува.
13. Тој нивни пат е нивна соблазна, иако потоа со својата уста убаво ке зборуваат.
14. Тие се како овци затворени во пеколот, смртта им е пастир, и изутрина праведните ке господарат над нив; но силата нивна ке се истроши во пеколот од славата нивна.
15. Но Бог ке ја спаси душата моја од раката на пеколот, кога ке ме прими.
16. Не плаши се кога човек богатее, кога славата на домот негов расте;
17. зашто, умирајки, ништо нема да земе, ниту, пак, славата негова ке појде по него;
18. макар што при животот негов душата негова ја ублажуваат, а тебе те фалат кога си угодуваш;
19. ке отиде дури во родот на своите татковци, нема никогаш да види светлина.
20. Човек, кој неразумно живее, сличен е на животните.

Псалм 50

1. Бог над боговите, Господ, говори и ја повикува земјата од сончевиот изгрев до запад.
2. Од Сион, кој е врв на убавината, ке се појави Бог;
3. иде нашиот Бог, и ке прозбори; пред Него оган ке се разгори, околу Него бура.
4. Одозгора Он ке ги повика небото и земјата, за да му суди на Својот народ:
5. Соберете ги при Него светиите Негови, кои се заветуваа како жртва за Него.
6. И небесата ке ја огласат Неговата правда, зашто Бог е судија.
7. Чуј, народе Мој, и Јас ке ти говорам, Израиле, ке сведочам против тебе: Јас сум Бог, Твој Бог.
8. нема да те прекорувам поради твоите жртви; твоите сепаленици секогаш се пред Мене;
9. нема потреба да примам телци од твојот дом, ниту козли од стадата твои,
10. зашто Мои се сите горски ѕверови и добитокот по горите и говедата.
11. Ги познавам сите птици небески, и убавината на полињата е пред Мене,
12. ако огладнам, нема да ти кажам тебе, зашто Моја е вселената и се, што ја исполнува.
13. Зар Јас да јадам јунешко месо и да пијам крв јарешка?
14. Принеси Му на Бога благодарствена жртва и на Севишниот молитвите свои упатувај Му ги;
15. и повикај Ме во тежок ден; Јас ке те избавам, и ти ке Ме прославиш.
16. А за грешникот Бог рече: 'Зошто ги кажуваш Моите наредби и со уста го примаш Мојот завет?'
17. А самиот ја мразиш поуката Моја и зад грб го фрлаш зборовите Мои?
18. Кога ке видеше крадец, се зближуваше со него и со прељубници се дружеше;
19. устата твоја е полна со злоба, и јазикот твој лукавство плете;
20. седиш и го клеветиш братот свој, и против синот на својата мајка се соблазнуваш.
21. Ти го изврши тоа, а јас молчев; ти си помисли дека Јас сум, каков што си ти. Ке те изобличам и ке ти ги изнесам пред лицето твое гревовите твои.
22. Разберете го ова вие, кои го заборавате Бога, за да не ве грабне, па тогаш ке нема избавител.
23. Кој принесува жртва благодарствена, тој Ме прославува, и кој го следи Мојот пат, нему ке му го соопштам Божјото спасение.

Псалм 51

1. Помилуј ме, Боже, поради големата Твоја милост, и заради големата Твоја добрина избриши ги беззаконијата мои.
2. Многупати ме изми од моето беззаконие и очисти ме од мојот грев,
3. зашто беззаконието мое го знам и мојот грев е секогаш пред мене.
4. Пред Тебе Единствениот згрешив и пред Тебе зло изврших, за да бидеш праведен кога ке пресудуваш и да победиш кога ке судиш.
5. Ете, во беззаконие сум зачнат и во грев ме роди мајката моја.
6. Но, Ти ја засака вистината во срцето, и внатре во мене ми ја објави непознатата и тајната премудрост Твоја.
7. Пороси ме со исоп, и ке бидам чист; измиј ме и ке бидам побел од снег.
8. Дај ми да чујам радост и веселба, и ке се зарадуваат коските мои ослабнати.
9. Сврти го лицето Свое од гревовите мои и избриши ги сите мои беззаконија.
10. Создај чисто срце во мене, Боже, и дух вистински обнови во мене.
11. Не отфрлај ме од лицето Свое и Светиот Дух Твој не одземај Го од мене.
12. Врати ми ја радоста, спасувајк ме и со Својот мокен Дух зацврсти ме.
13. Беззакониците ке ги научам да одат по Твоите патишта, и безбожниците кон Тебе ке се обрнуваат.
14. Избави ме од крвта, Боже, на моето спасение, и јазикот мој ке се зарадува на Твојата правда.
15. Господи, отвори ја устата моја, и устата моја ке ја објави пофалата Твоја;
16. оти, да сакаше жртва, јас ке Ти ја принесев; но сепалениците не ги сакаш.
17. Жртвата пред Бога е смирен дух; срце понизно и смирено Ти, боже, не отфрлуваш.
18. Господи, направи му добро на Сион, според благоволението Свое, воздигни ги ѕидовите ерусалимски.
19. Тогаш ке Ти бидат угодни жртвите на правдата, вознесувањата и жртвите сепаленици; тогаш на Твојот олтар ке принесуваат телци.

Псалм 52

1. Зошто, се фалиш, силнику, со злоба? Беззаконија вршиш по цел ден.
2. Јазикот твој погубни работи измислува; како наострен брич ти е - и веке си смислил измама.
3. Ти повеке ја засака злобата отколку доброто, неправдата, отколку да говориш правда;
4. ти, лукав јазику, засака секакви погубни зборови.
5. Поради тоа Бог, до крај ке те уништи, ке те истргне и ке те пресели од живеалиштето твое, и коренот твој - од земјата на живите.
6. Ќе видат праведните, ке се уплашат и ке му се подсмеваат, па ке речат:
7. ете човек, кој не ја полагаше силата своја во надеж на Бога, а се надеваше на големото богатство свое, и кој се осили во лесномисленоста своја.
8. А јас, пак, сум во Божјиот дом како плодна маслина и се надевам на милоста Божја во сите векови.
9. Вечно ке Те славам за она што го направи, и ке се надевам на името Твое, зашто тоа е благо пред светиите Твои.

Псалм 53

1. Рече безумникот во срцето свое: 'нема Бог.' Станаа развратни лу ето и гнасни во беззаконијата; нема кој да прави добро.
2. Бог со внимание погледна од небесата кон синовите човечки, за да види, има ли некој што е разумен или да Го бара Бога.
3. Сите тргнаа по лош пат, станаа еднакво расипани; нема кој да прави добро, нема ниеден.
4. Зар нема да се вразумат оние, што вршат беззаконие. Оние што го јадат народот Мој, како што го јадат лебот, но Бога не Го повикуваат.
5. Ќе се уплашат тие од страв, и таму каде што страв нема, зашто Господ ќе им ги растури коските на оние, што си угодуваат еден на друг. И тие ќе се посрамат, зашто Бог ќе ги понизи.
6. Кој ќе му даде спасение на Израилот од Сион? Кога Бог ќе ги врати заробените од народот Свој, тогаш ќе се зарадува Јаков и ќе се развесели Израилот.

Псалм 54

1. Боже, со името Твое спаси ме и со силата Твоја суди ми.
2. Боже, услиши ја молитвата моја, чуј ги зборовите од устата моја;
3. зашто ту инци се кренаа против мене, и силници го бараат животот мој; тие не мислат на Бога.
4. Ете, Бог ми помогна; Господ е заштитник на животот мој.
5. На непријателите мои Он ке им врати за злото; ке ги истреби со вистината Своја.
6. Со сесрдност Ти принесувам жртва, го прославувам името Твое, Господи, зашто е благо,
7. оти Ти ме избавуваш од секаква мака и окото мое презриво ги гледа непријателите мои.

Псалм 55

1. Прими ја Боже, молитвата моја и не презирај го моето молење;
2. погледај ме и услиши ме. Нажален сум во тагата моја
3. и збунет сум од гласот на напријателите, од притисокот на грешниците, зашто вршат врз мене беззаконие и со гнев непријателствуваат против мене.
4. Срцето мое затрепери во мене, и смртен страв ме спопадна;
5. страв и трепет ме сполетаа, и темнина ме покри.
6. И јас реков: 'Кој ке ми даде крија гулабови, па да одлетам и се успокојам.'
7. Далеку би отишол и би се сместил во пустињата;
8. се надевав на Оној Кој ме спасува од малодушноста и од бурата.
9. Потопи ги, Господи, и раздели ги нивните јазици, зашто видов насилство и расправии во градот.
10. Дење и ноке обиколуваат покрај ѕидовите негови; и во него беззаконие, мака и неправда има;
11. а не оскудеваше ни измама и лукавство по улиците негови.
12. Да ме беше навредил непријателот мој, тоа би го поднел, и завидливецот мој да се беше покажал силен, јас ке се сокриев;
13. но тоа беше ти, човеку, кој си како јас, водач мој и пријател мој,
14. со кого сме јале леб заедно и сме оделе заедно во Божји дом!
15. Смртта дојде на нив; да слезат живи во пеколот, зашто лукавство има среде нив, во живеалиштата нивни.
16. Јас, пак, Бога ке го повикам, и Господ ке ме услиши.
17. Навечер и наутро, и напладне ке молам и ке викам, и Он ке го чуе гласот мој,
18. ке ја избави во мир душата моја од оние, кои ми се приближуваат, зашто многу ги има што беа против мене,
19. Бог ке ме чуе и ке ги понизи; Оној, Кој вечно живее, зашто во нив нема промена; тие не се плашат од Бога.
20. Ги креваат рацете свои против оние, со кои живееја во мир, го нарушија Неговиот завет.
21. Се растурија од гневот на лицето Негово, а во срцето им е непријателство; зборовите им станаа како елеј, но тие се стрели.
22. Пренеси ја на Господа маката своја, и Он ке те поткрепи. Не дозволувај праведниот човек да пострада.
23. Ти, Боже, ке ги фрлиш во погибелна јама; крвниците и лукавите лу е да не поживеат ни половина од деновите свои. Јас, пак, Господи, на Тебе се надевам!

Псалм 56

1. Смилуј се Боже, на мене, зашто човек сака да ме голтне; напа ајки секој ден, ме притиска.
2. Моите непријатели по цел ден ме газат, зашто мнозина се оние, кои ме напа аат со гордост.
3. Кога страв ке ме спопадне дење, на Тебе се надевам.
4. Во Бога ке ги фалам зборовите свои; на Бога се надевам. Нема да се плашам; што може да ми направи човек?
5. Секој ден ги извртуваат зборовите мои; сите нивни мисли упатени против мене се зло.
6. Се собираат и се кријат, ги набљудуваат петите мои, упорно работат против мојот живот.
7. Нема за што да ги спасуваш, Боже, Со гнев Боже, собери ги народите.
8. Боже, Ти го знаеш животот мој, солзите мои Си ги ставил пред себе - како во заветот Твој.
9. Непријателите мои ке се вратат назад, секогаш кога Те призовувам; по тоа знам дека Ти си Бог мој.
10. Со Бога се фалам за Неговото слово. Со Господа се фалам за зборот Негов.
11. На Бога се надевам, не се плашам; што може да ми направи човекот?
12. Во мене се, Боже, благодарствените молитви мои кон Тебе, кои ке Ти ги упатам.
13. Зашто Ти ја избави душата моја од смрт, а и нозете мои од сопнување, за да благоугодам пред Бога во светлината на живите.

Псалм 57

1. Смилуј се, Боже, на мене. Смилуј се, зашто на Тебе се надева душата моја, и во сенката на криљата Твои ке ја положам надежта моја додека не минат беззаконијата.
2. Ќе повикам кон Бога Севишниот, кон Бога, Кој ми прави добро.
3. Он ке прати од небото и ке ме спаси; ке ги посрами оние, кои ме презираат. Ќе ја испрати Бог Својата милост и Својата вистина.
4. И нека ја избеви душата моја од лавови; лежам смутен ме у синовите човечки; та нивни заби се копја и стрели, а јазикот им е остар меч.
5. Возвиси се на небесата, Боже, и по целата земја нека биде Твојата слава!
6. Тие подготвија стапица за нозете мои; и се обидоа да ја измамат душата моја: ископаа пред мене јама, но сами паднаа во неа.
7. Подготвено е срцето мое, Боже, спремно е срцето мое, ке пеам и ке свирам.
8. Разбуди се, славо моја, разбуди се псалтиру и гусле! Јас ке станам рано.
9. Ќе Те славам, Господи, ме у народите, ке Те воспеам ме у племињата,
10. зашто Твојата милост се возвеличи до небесата, и дури до облаците - Твојата вистина.
11. Вознеси се, Боже на небесата и по целата земја нека биде Твојата слава!

Псалм 58

1. Дали навистина кажувате правда? Судите ли праведно, вие, човечки синови?
2. Во срцето све кроите беззаконие на земјата, вашите раце плетат неправда на земјата.
3. Се оту ија грешниците од мајчиното крило, се заблудеа од утробата мајчина, говорејки лага.
4. Јароста им е како змијски отров, како отровот на глувата аспида, која ги затнува ушите свои,
5. и не го слуша гласот на бајачот, вражачот вешт во вражањето.
6. Бог неке им ги скриши нивните заби во устите нивни; разби ги, Господи, челустите лавовски!
7. Нека се разлијат како вода што истечува; ке го растегнеш својот лак, додека не малаксаат.
8. Како восок што се топи да се растопат, оган нека падне над нив, та сонце да не видат никогаш.
9. Пред котлите ваши да осетат топлина од запаленото трње.
10. Ке се зарадува праведникот, кога ке ја види одмаздата на безбожниците; ке ги измие рацете свои во крвта на грешникот.
11. И ке рече човекот: навистина има плод за праведникот! Навистина има Бог, Кој суди на земјата!

Псалм 59

1. Спаси ме од непријателите мои, Боже мој, заштити ме од оние што стануваат против мене!
2. Избави ме од оние, што вршат беззаконија; спаси ме и од крвниците;
3. зашто, ете, тие ја демнат душата моја; ме напа аат силните беа престап мој и без грев мој, Господи.
4. Без моја вина навалија на мене; стани, излези ми во пресрет и погледај.
5. Ти, Господи, Боже на силите, Боже Израилев, разбуди се и посети ги сите овие народи и не поштедувај ниеден од оние што вршат беззаконие.
6. Навечер тие се вракаат, вијат како кучиња и одат околу градот.
7. И, ете, хулат со јазикот свој; во устата имаат меч, 'зашто, - си велат тие, - кој ке чуе?'
8. Но Ти, Господи, ке ги исмееш; Ти ке ги посрамиш сите народи.
9. Силата моја во Тебе ја чувам, зашто си Ти, Боже, мој застапник.
10. Мојот Бог, Кој ме милува, иде пред мене; Бог мој, Кој ми ги покажува моите непријатели.
11. Не убивај ги, за да не го заборават мојот народ; растури ги со силата Своја и победи ги, Господи, заштитниче мој.
12. За гревот на устата нивна; за зборот во устата нивна нека се фатат во гордоста своја, бидејки само клетви и лаги кажуваат.
13. Во крајниот гнев, и нема веке да ги има; за да увидат, дека Бог управува над Јакова и до краиштата на земјата.
14. Навракаат секоја вечер, гладуваат како кучиња, и одат околу градот;
15. Тие се радуваат кога бараат храна, а кога нема да се заситат, ги поминуваат ноките ‘ржејки.
16. Јас, пак, со песна ке ја славам Твојата сила и од рани зори ке се зарадувам со Твојата милост, бидејки Ти ми беше застапник мој и прибежиште во денот на мојата несрека.
17. Помошник мој си Ти, Тебе Ти пеам, зашто Ти си застапник мој, Боже мој, милост моја.

Псалм 60

1. Боже, Ти не отфрли и не растури, се разгневи, но сепак се смилува на нас.
2. Ја потресе земјата и ја залула; стегни ги пукнатините нејзини, зашто таа се ниша.
3. Ти му покажа на Твојот народ жестокот и не напои со заносно вино.
4. На оние, што се бојат од Тебе, им даде знак за да побегнат од убојник лак.
5. За да се избават Твоите возљубени, спаси ме со Твојата десница и услиши ме.
6. Рече Бог во Своето Светилиште: 'Ќе се зарадувам, ќе го разделам Сихем и ќе ја премерам долината на Сокхот заради поделба.
7. Мој е Галад, и Мој е Манасија, и Ефрем е крепост на главата Моја, и Јуда е цар Мој.
8. Со Моав се мие Мојата надеж, на Идумеја ќе и го подадам обувките Свои, а над Филистејците ќе славам победа.'
9. Кој ќе ме воведе во урепениот град? Кој ќе ме доведе до Идумеја?
10. Зар не Ти, Боже, Кој не отфрли? И нема веќе да излегуваш, Боже, со нашите војски?
11. Помогни ни во маката, зашто од човекот нема спасение.
12. Со Бога ќе бидеме силни, Он ќе ги уништи нашите мачители.

Псалм 61

1. Услиши го, Боже, моето молење, прими ја молитвата моја.
2. Кон Тебе повикав од крајот на земјата, кога срцето ми папса. Ќе ме издигнеш на карма и мир ке ми дадеш.
3. Ме упати, зашто Ти беше моја надеж, крепосен заклон од непријателот.
4. Ќе се населам вечно во Твоето живеалиште и ке се засолнам под покривот на Твојата закрила.
5. зашто Ти, Боже, ги чу моите молитви и им даде наследство на оние, кои се бојат од Твоето име.
6. Додај му уште денови кон деновите царски и продолжи му ги годините од род во род,
7. за да биде твој вечно пред Бога; милост и вистина сака тој.
8. И така, со песна ке го воспевам Твоето име и ке ги извршувам своите завети од ден во ден.

Псалм 62

1. Па, зар во Бога не се успокојува душата моја? Та од Него е моето спасение.
2. Зашто Он е Бог мој, и мој Спасител. Застапник мој: нема повеке да се поколебам.
3. До кога ке притискаат врз човекот? Го уривате сите вие како наклонет ѕид и накривена ограда.
4. намисливте да го отфрлите моето достоинство со лага; со устата своја благословувате, а со срцето свое колнете.
5. А ти, душо моја, само по Бога оди, зашто на Него трпеливо се надевам.
6. Он е Бог мој и Спасител мој: застапник мој и нема веке да се колебам.
7. Во Бога е моето спасение и мојата слава; Он е Бог Кој ми помага и надежта моја е во Бога.
8. Надевајте се на Него сите лу е, отворете го срцето ваше пред Него: Бог е нашиот помошник.
9. Синовите човечки се само суета; синовите човечки се лажливци; кога би ги ставиле на мерило, тие сите заедно би биле полесни од здив.
10. Не се надевајте на неправда и не посакувајте отимање; кога богатството расте, не го приврзувајте срцето кон него.
11. Еднаш Бог рече, а двапати јас го чув тоа, дека силата е во Бога,
12. дека во Тебе, Господи, е силата Божја и дека во Тебе има милост, зашто Ти ке му дадеш на секого според делата негови.

Псалм 63

1. Боже, Боже мој, кон Тебе поранувам; за Тебе зажедне душата моја. Колку пати за Тебе копнее телото мое на замјата пуста, неплодна и безводна?
2. И така се појавив во Светилиштето Твое, за да ја видам Твојата сила и Твојата слава.
3. Зашто милоста Твоја е подобра од животот, устата моја ке Те фали.
4. Така ке Те благословувам во животот мој, и во Твое име ке ги кревам рацете мои.
5. Како со маст и елеј се наситува душата моја, и со радосен глас ке те фали устата моја.
6. Кога ке се сетам за Тебе во постелата моја, во утринските часови за Тебе размислувам,
7. зашто Ти си ми помошник и во сенката на Твојата закрила ке воскликнувам.
8. Кон Тебе се приближи душата моја, твојата десница ме поддржува.
9. А оние кои залудно го побараа мојот живот, ке слезат во пеколот!
10. Ќе бидат поразени со силата на мечот; ке станат плен на лисиците.
11. А царот ке се зарадува во Бога, и секој ке се фали, кој во Него се колне, бидејки ке им се затне устата на оние што говорат неправда.

Псалм 64

1. Чуј го, Боже, гласот мој, кога Ти се молам; зачувај ми го животот мој од непријателот што ме застрашува.
2. Ти ме заштити од лукавите, од многуте злочинци.
3. Кои ги наострија јазаците свои како меч, го затегнаа лакот свој - па исфрлаат ранливи зборови,
4. за да стрелаат скришно на непорочниот; тие стрелаат ненадејно врз него и нема да се уплашат.
5. Тие цврсто се договорија за зло; се договорија како да ја прикријат замката, па си рекоа: кој ке го види?
6. Па бараа неправда, вршеа испитување, но испитувањ3 дури до внатрешнината на човекот, но длабоко е срцето.
7. Но Бог ке се прослави: нивните стрели не полетаа.
8. И јазиците нивни папсаа на нив. А сите кои ги видоа, се зачудија.
9. И секој човек се уплаши. Се објавија делата Божји и ги разбраа созданијата негови.
10. А праведникот ке се развесели во Господа и ке се надева на Него; и ке бидат пофалени сите кои се праведни по срце.

Псалм 65

1. Тебе, Боже, Ти припа а пофалата на Сион, и Тебе ке Ти се исполни заветот во Ерусалим.
2. Услиши ја молитвата моја; кон Тебе ке прибегне секој човек.
3. Од зборовите на беззакониците, кои надвладуваат над нас и од нашите гревови, очисти не.
4. Блажен е оној, кого Ти си го избрал и примил; он ке живее во Твоите дворови; ке се исполни со добрини од Твојот дом; а Твојот дом е свет, и чудесен е во праведноста.
5. Чуј не, Боже, Спасителе наш, надеж на сите земни краишта и на оние што се далку преку морето.
6. Ти, Кој горите си ги поставил со силата Своја и со мок си се препашал,
7. Ти Кој ја раздвижуваш морската длабочина и шумот што го прават брановите. Ке поштукнат народите.
8. И ке се уплашат сите оние што живеат во краиштата од чудесата Твои: ке создадеш радост каде што утрото се ра а и вечерта зао а.
9. Ти ја посетуваш земјата, ја напојуваш, ја збогатуваш: потокот Божји е полн со вода; си им приготвил храна, бидејки тука си ја устроил.
10. Ги напојуваш браздите нејзини, и ги умножуваш житата нејзини и со дождовни капки ја благословуваш да ра а плодови;
11. ја овенчуваш годината со Твојата добрина и полињата Твои полни се со згоен добиток.
12. Се појавуваат пасишта по пустињите и ритчињата се исполнуваат со радост;
13. Трлата се умножуваат со стада, а долините се китат со плодови: воскликнуваат и пеат.

Псалм 66

1. Воскликни Му на Бога, земјо цела!
2. Воспејте го името Негово, воздајте Му слава и похвала!
3. Кажете Му на Бога: колку се страшни делата Твои! Поради големината на силата Твоја, ке Ти се покоруваат непријателите Твои.
4. Целата земја нека Ти се покорува и да Ти пее, да Му пее на Твоето име, Севишни.
5. Дојдете и видете ги делата Божји, колку е страшен во одлуките Свои за синовите човечки.
6. Он го претвори морето во суво; преку река минува со ногата; таму се зарадувавме поради Него.
7. Со Својата мок Он владее вечно; Неговите очи гледаат на народите, за да не се кренат бунтовниците.
8. Благословувајте Го, народи, нашиот Бог и искажете Му похвала гласно.
9. Он и даде живот на душата моја и не дозволи да потклекнат нозете мои;
10. Ти не испита, Боже, со оган не очисти, како што среброто со оган се пречистува.
11. Ти не воведе при мака, нанесе маки на нашите племиња.
12. Допушти лу ето да ни се качат на глава. Минавме низ оган и вода, но не изведе да здивнеме.
13. Ке влезам во Твојот дом со сепаленица, ке Ти ги исполнам моите завети,
14. што ги изговорија усните мои и ги искажа устата моја кога бев во невоља.
15. Мрсни сепаленици ке Ти принесам Тебе, со кадило од овни, ке Ти принесам Тебе и волови и кози.
16. Дојдете и чујте вие сите кои се боите од Бога и ке ви раскажам се што направи Он за душата моја.
17. Повикав кон Него со устата моја и Го возвеличив со јазикот свој.
18. Да мислев беззаконие во срцето мое, Господ немаше да ме услиши.
19. Затоа ме услиши Господ, го чу гласот на молењето мое.
20. Нека е благословен Бог, Кој не ја отфрли молитвата моја и не ме остави без милоста Своја!

Псалм 67

1. Боже, биди милостив кон нас и благослови не; осветли не со лицето Свое, и помилуј не,
2. за да го познаат на земјата патот Твој, и ме у сите народи спасението од Тебе.
3. Да Те прославуваат народите, Боже, сите народи да Те прославуваат.
4. Племињата нека се развеселат и да се радуваат, зашто праведно ке им судиш на народите, и племиња ке упатиш на земјата.
5. Народите нека Те прославуваат, Боже, сите народи нека Те слават!
6. Земјата го даде својот плод; благослови не, Боже, Боже наш!
7. Да не благослови Бог и сите земни краишта нека се бојат од Него.

Псалм 68

1. Нека се крене Бог, и да се распрснат непријателите Негови; да бегаат од лицето Негово оние, што Го мразат.
2. Како што домот исчезнува, така да исчезнат; како што восокот се топи од оган, така да загинат грешниците од лицето Божјо.
3. А праведниците да се развеселат, да се зарадуваат пред Бога и ќе Го прославуваат во радоста.
4. Пејте Му на Бога, пејте Му на Неговото име; направете Му пат на Оној, Кој се движи по небото; името Му е Господ, и радувајте се пред Него. Ќе се смутат од Неговото лице,
5. Татко на сираците и судија на вдовиците; Он е Бог во Своето свето место.
6. Бог им дава домови на осамените, ги ослободува од окови затворениците, а непокорните остануваат да живеат во пеколна пустиња.
7. Боже, кога Ти излегуваше пред Твојот народ, кога одеше по пустињата,
8. земјата се тресеше и небесата даваа дожд од лицето Божјо, и Синај - од лицето на Бога, на Бога Израилев.
9. Изобилен дожд изли Ти, Боже, врз Твоето наследство, и кога тоа изнемоштуваше од труд, Ти го поткрепуваше.
10. Стадата Твои живеат на неа; во Својата добрина, Боже, Ти си ја спремил за сиромасите.
11. Гопсод ќе им даде збор на гласниците со голема сила.
12. Царот на војските е омилен и во убавината на Својот дом дели плен.
13. Ако заспиете во пределите ваши, ќе станете како гулаби со сребрени крила, со перја - од чисто злато.
14. Кога небесниот Цар ги разбиваше царевите, снег па аше на Селмон.
15. Гората Божја е гора богата, гора цврста, богата;
16. зошто вие, гори високи, завидливо ја гледате гората, на која Бог благоволи да ждивее?
17. Божјите коли се безброј - на иљада иљади; ме у нив е Господ на Синај, во Светилиштето.
18. Ти се возвиси високо, плени плен, прими дарови за лу ето, така и од непокорните да можат да живеат таму.
19. Нека е благословен Бог од ден во ден, ќе го помогне нашето спасение.
20. Нашиот Бог е Бог Кој спасува; во власта на Господа е вратата на смртта.
21. Но Бог ќе им ги скриши главите на непријателите Свои и косестото теме на оние што остануваат во своите гревови.
22. Господ рече: од Васан ќе ги вратам, ќе ги извлечам од морските длабочини,
23. за да ти се натопи ногата твоја во крвта на непријателите и јазикот на твоите кучиња.
24. Го видов Твоето величествено доа ање, Боже, доа ањето на мојот Бог и Цар во Светилиштето:
25. напред одеа кнезовите, близу до пеачите, а во средината - девици со тимпани:
26. 'Во собранијата благословувајте го Бога, Господа, вие, што сте од семето Израилево!'
27. Таму беше Венијамин, најмладиот; кнезовите Јудини - нивни владетели, кнезовите Завулонови, кнезовите Нефталимови.
28. Заповедај, Боже, со силата Твоја, зацврсти го, Боже, тоа што ни го направи нам!
29. Од Твојот храм во Ерусалим; царевите ќе Ти принесуваат жртви.
30. Скроти ги ѕверовите во мочуриштата, воловите со телињата на народите, да не бидат исклучени од искушувањето со сребро; растури ги народите кои сакаат војна.
31. Ќе дојдат молитвеници од Египет; Етиопија порано ќе ја подаде раката кон Бога.
32. Цареви земни, појте Му на Бога, воспојте Му на Бога, на Господа,
33. Кој се возвисил на небо, на небесата на Исток. И, ете, Он на гласот Свој ќе му даде сила.
34. Подајте Му слава на Бога! Над Израилот е Неговото велелепие, а силата Негова на облаците.
35. Чудесетн си Ти, Боже, во светоста Своја; Бог Израилев - Он ќе му даде сила и крепост на

својот народ. Нека е благословен Бог!

Псалм 69

1. Спаси ме, Боже, зашто водите стигнаа до душата моја.
2. Потонав во длабока тиња, каде што нема дно; влегов во морска длабочина и бура ме потопи.
3. Изнемоштев од викање; засипна грлото мое; попуштија очите мои, надевајки се на мојот Бог.
4. Оние, што ме мразат без вина, се намножија повеке од косата на главата моја: непријателите мои, кои ме гонат неправедно, се засилија; она што не сум го зел, тогаш го давав.
5. Боже, Ти го знаеш моето безумие, и гревовите мои не се сокриени од Тебе.
6. Да не се посрамат поради мене сите они, што се надеваат на Тебе, Господи, Боже на силите. Да не се посрамат поради мене оние, кои Те бараат, Боже Израилев,
7. зашто заради Тебе поднесувам исмејување, и срам го обзеде лицето мое.
8. Ту станав за браката свои и чуден за синовите на мајка ми моја.
9. Бидејки ревноста за Твојот дом ме јаде, и подбивите на оние, што Те хулат, па аат врз мене;
10. и постам со душата своја, но и тоа ми го земаат за зло
11. место облека облекувам врека; и со тоа им станав за приказ;
12. против мене зборуваат оние што седат пред портите и пијаниците пеат за мене.
13. Јас, пак, молитвата моја ја упатувам кон Тебе, Господи; благопријатно е времето, Боже, со големата Своја милост услиши ме заради вистината на спасението од Тебе;
14. изведи ме од калта, за да не потонам; да се избавам од оние, кои ме мразат, а и од длабоките води;
15. за да не ме потопи водниот вртеж, и длабината да не ме проголта, да не ја затвори над мене бездната својата уста.
16. Услиши, ме, Господи, зашто блага е Твојата милост; поради големата Твоја милосрдност погледај ме;
17. не одвракај го лицето Свое од чедото Твое, зашто сум нажален; услиши ме брзо;
18. наклони се кон душата моја и избави ја; поради моите непријатели спаси ме.
19. зашто Ти го знаеш мојот подбив, мојот срам и моето засрамување: пред тебе се сите што ме оскрбуваат.
20. Подбив и срам дочека мојата душа, очекувајки некого во сострадание, но го немаше, и да ме утеши некој; но не го најдов.
21. И ми дадоа жолчка да каснам и кога зажеднев - со оцет ме напоија.
22. Трпезата нивна нека им биде примка, гоштевањето - стапица;
23. да ми се помрачат очите, та да не гледам, и бедрата нивни ослаби ги засекогаш;
24. излиј го врз нив гневот Свој, и јароста на Твојот гнев нека ги обземе;
25. домовите да им ги запустиш, и во шаторите нивни да не остане никој жив;
26. зашто оној кого Ти го порази, тие го гонат, и со тоа ги умножија болките од раните мои.
27. Притури беззаконие врз беззаконието нивно, за да не влезат во Твојата правда.
28. Нека бидат избришани од книгата на живите и да не бидат запишани ме у праведните.
29. Јас, пак, сум беден и страдам; нека дојде од тебе, Боже, спасението за мене!
30. Ќе го славам името на мојот Бог со песна, ке го возвеличувам во славословија,
31. и тоа ке Му биде поугодно на Господа, отколку теле или јунец со рогови и со копита.
32. Нека го видат тоа оние што страдаат и нека се зарадуваат. Побарајте Го Бога за да ви оживи душата ваша,
33. зашто Господ ги услишува сиромасите и не ги презира затворениците Свои.
34. Нека Го пофалат небесата и земјата, морето и се што живее во него;
35. зашто Бог ке го спаси Сион, ке се изградат градови во Јудеја, и таму ке ги наследат;
36. и потомството на слугите Твои ке се весели во него.

Псалм 70

1. Боже, дојди ми на помош, побрзај, Господи, да ми помогнеш.
2. Нека поцрвенеат и нека се засрамат оние, што ја бараат душата моја! Нека се уплашат, нека се уплашат и засрамат оние, кои ми пожелуваат зло.
3. Нека отстапат и нека се посрамат оние што ми викаат: 'така! така!'
4. Нека се зарадуваат и развеселат со Тебе сите, кои Те бараат, и кои Те сакаат Тебе, Боже, и кои сакаат спасение од Тебе, и нека велат: 'Да се возвеличува Господ!'
5. Јас, пак, сум беден и сиромав; поможи ми Боже, Ти си, Господи, помошник мој и избавител мој, не се забавај!

Псалм 71

1. На Тебе Господи, се надевам, да не останам посрамен вечно.
2. Избави ме поради праведноста Своја и очисти ме; приклони го увото Свое кон мене и спаси ме.
3. Биди ми Бог заштитник, изведи ме на место сигурно - зашто Ти си моја крепост и мое прибежиште.
4. Боже мој, избави ме од рацете на грешникот, од рацете на престапникот и насилникот,
5. зашто Ти си моја надеж, Господи, моја сигурност од младоста моја.
6. За Тебе цврсто се држам од ра ањето мое; Ти си мој покровител од мајчината ми утроба; за Тебе вечно ке пеам.
7. За многумина бев како некое чудо, но Ти си мојот силен помошник.
8. Нека се исполни устата моја со пофхвала, па со песна да ја величам славата Твоја; и цел ден да пеам за Твоето велелепие.
9. Не отфрлај ме на старост, кога ке почне силата моја да исчезнува, не напуштај ме,
10. зашто непријателите мои зборуваат против мене; и оние, кои ја демнат душата моја, се договараат ме у себе,
11. велејки: 'Го остави Бог; гонете го и фатете го, зашто нема кој да го избави'.
12. Боже мој, не се оддалечувај од мене; Боже мој, побрзај ми на помош!
13. Да се посрамат и да исчезнат оние што ја клеветат душата моја; да поцрвенат и се засрамат оние, што ми сакаат зло.
14. Јас, пак, секогаш ке се надевам на Тебе и ке Те восхвалувам се повеке.
15. Устата моја ке ја разгласува Твојата правда, и секој ден спасението од Тебе, зашто не им го знам бројот.
16. Ke влезам во силата Господова; Господи, ке ја спомнувам Твојата правда - само Твојата.
17. Боже, Ти ме поучуваше од младоста моја, и јас се досега ги објавував чудесата Твои.
18. И во староста, па и кога ке престареам, Боже, не напуштај ме, за да ја објавувам мишката Твоја, силата Твоја и правдата Твоја на сегашниот род и на идниот,
19. силата Твоја и правдата Твоја, Боже, дури до вишното небо, и за делата Твои со кои си ме возвеличил, Боже, кој е сличен на Тебе??
20. Колку големи и тешки маки ми прати, но Ти пак ме оживуваше, кога Ти се обракав, и пак ме изведуваше од земните длабини.
21. Зголемувајки ги Своите добрини и свртувајки се кон мене, ме утешуваше и, пак ме изведуваше од земните бездни.
22. И јас ке ја славам ме у лу ето на харфа Твојата вистина, Боже мој; ке Те воспевам на гусла, Светецу Израилев!
23. Ke се радува устата моја, кога ке Ти пеам, и душата моја, која си ја избавил.
24. И јазикот мој секогаш ке зборува за Твојата правда, кога ке поцрвенеат и ке се засрамат оние, кои ми пожелуваа зло.

Псалм 72

1. Боже, дај му го на царот Својот суд, а на царевиот син - Својата правда,
2. за да им суди праведно на Твоите лу е и на сиромасита Твои по правда.
3. Горите нека им донесат мир на лу ето, и ритчињата - праведност,
4. Он ке им суди на бедните ме у лу ето, и ке ги спаси синовите на сиромасите, а клеветникот ке го понизи.
5. И ке живеат, додека постои сонцето и месечината - од род во род.
6. И ке слезе како дожд на ливада, како капки што наросуваат земја.
7. Во Негово време ке зацари правда, и ке има изобилен мир се додека не се одземе месечината.
8. И ке владее од море до море и од реката до краиштата на земјата.
9. Пред Него ке паднат ничкум Етиопјаните, и непријателите Негови ке ја лижат прашината;
10. царевите на Тарсис и островјаните дарови ке му принесуваат; и царевите на Арабија и од Саба дарови ке му донесуваат.
11. И ке Му се поклонуваат сите цареви; ке Му служат сите народи;
12. зашто Он ке избави беден од силник и сиримав, кој нема помошник.
13. Kе го поштеди бедниот и сиромавиот и ке го спаси животот на сиромасите;
14. од лихви и неправди ке ги избави душите нивни, и чесно ке биде името нивно пред Него;
15. и Он ке поживее, па ке му даваат арабиско злато; и ке Му се молат непрестајно, секој ден ке Го благословуваат;
16. Kе има тврдина на земја, по врвовите на горите; плодот Негов ке се издига над Ливан, а во градовите лу ето ке се размножуваат како тревата по земјата,
17. Неговото име нека биде благословувано вечно: уште пред сонцето Неговото име постои; и во Него ке бидат благословени сите земни премиња, а и сите народи ке Го ублажуваат.
18. Нека е благословен Господ Бог, Бог Израилев, Кој само Он прави чудеса;
19. и нека е благословено Неговото славно име довека, и со славата Негова нека се исполни целата земја! Амин и амин!
20. Завршија молитвите на Давида, Јесеевиот син.

Псалм 73

1. Колку е добар Бог кон Израилот, кон оние што се со чисто срце!
2. А нозете мои за малку не потклекнаа, за малку чекорите мои ке станеа несигурни, -
3. зашто им позавидев на беззакониците, гледајки како мирно живеат грешниците,
4. оти не страдаат се до самата смрт, и цврстина им е во бичот.
5. во човечките работи не учествуваат и невољите на другите лу е нив не ги засегаат.
6. Затоа гордоста владее со нив; се облекле во неправда и нечестие;
7. неправдата им излегува како од сало, и му угодуваат на срцето;
8. се подбиваат и лукаво зборуваат, за неправдата гордо говорат;
9. ја креваат устата кон небото, а јазикот нивни ја обиколува земјата.
10. Затоа народот Мој ке се врати ваму, и своите денови ке ги најде исполнети.
11. И рекоа: 'Како дозна Бог, и има ли знаење во Севишниот?'
12. Ете, такви се грешниците и успеваат вечно да го држат богатството.
13. И си реков: зар залудо го држев срцето свое во праведност и во невиност ги измив рацете свои.
14. и се изложував на непријатности секој ден и на срам секое утро?
15. Но ако речев: ке расудувам и јас така, - тогаш ке го изневерев родот на Твоите синови.
16. И сакав тоа да го разберам, но тоа беше тешко за мене
17. се додека не влезам во Божјото светилиште и не го разбрав нивниот крај.
18. И така, заради подмолноста нивна дозволи да ги снајде зло, и ги понизи кога се возгордееја.
19. Како запустеа, како нејнадејно изчезнаа и загинаа поради своето беззаконие!
20. Како сон кога човек се разбудува, така во градот Твој, Господи, образот нивни уништи го.
21. Зашто срцето мое се разгоре и утробата моја се измени.
22. А јас поразен и не разбрав, како добиче бев пред Тебе.
23. Но Јас сум секогаш со Тебе: Ти ми ја придржуваш десницата моја,
24. ме упати со советот Свој и ме прими во Твојата слава.
25. Кого Го имам јас на небото освен Тебе? А кога сум со Тебе на земјата ништо не барам.
26. Изнемоште срцето мое и телото мое; Боже на срцето мое и наследството мое, Боже, довека.
27. Зашто, ете, оние, што се оддалечуваат од Тебе, пропа аат; Ти го истребуваш секого, кој отстапува од Тебе.
28. А мене ми е добро да сум со Бога, на Господа ја полагам надежта моја, за да ги вознесувам сите пофхвали Твои кај портите на керката Сионова.

Псалм 74

1. Зошто Боже, не отфрли засекогаш? Зошто гневот Твој се разгоре на овците од Твоето пасиште?
2. Сети се на Твојот народ, кого уште од порано го придоби, ги избави со жезалот како наследсто Твое, тоа е горатa Сионска, на која си се населил.
3. Крени ги рацете Свои против нивната крајна гордост, против сите зла што непријателот ги направи во светилиштето Твое.
4. И се пофалија Твоите непријатели среде празникот Твој; поставија свои бојни знаци како знамиња, но не ги познаа.
5. зашто горе при влезот многу ги имаше,
6. па како во густа горичка со секира ја исекоа нејзината врата, со секира и дрвен чекан одеднаш ја скршија;
7. го запалија со оган Твоето Светилиште, го осквернија на земјата местото, на кое името Твое престојува.
8. Регоа во срцата свои оние што беа сродни на нив: 'Ајде да отстапиме од сите Божји празници на земјата!
9. Знаците свои не ги гледаме, нема повеке ни пророк, и за нас нема веке да се знае.'
10. До кога, Боже, ке се гордее над нас непријателот? Вечно ли противникот ке го дразни името Твое?
11. Зошто ја одвракаш раката Своја и десницата Своја во пазувите Свои ја држиш?
12. Но Бог е Царот наш уште од пред вековите, Он приготвил спасение среде земјата!
13. Боже, со силата Своја Ти си ги утврдил морињата, и ги сотре главите на водните страшила.
14. Ти и ја здроби главата на змијата и им ја даде како храна на народот етиопски.
15. Ти ги отвори изворите и потоците, ти ги исуши реките итамски.
16. Твоје е денот и Твоја е нокта: Ти си ги постави светилата и сонцето;
17. Ти ги создаде сите предели на земјата, летото и пролетта Ти ги определи.
18. Сети се сепак на ова; непријателот го навреди Господа; лу е безумни го раздразнија Твоето име.
19. Не прадавај ја на ѕверовите душата на оние кои се надеваат на Тебе; не заборавај ги засекогаш душите не сиромасите Твое.
20. Погледај на Својот завет, зашто сите мрачни домови по земјата се исполнија со беззаконици;
21. Да не се врати посрамен потиснатиот; сиромавиот и бедниот ке го прославуваат Твоето име.
22. Стани Боже, по правдата Своја пресуди; сети се како секој ден Те хули безумникот.
23. Не заборавај го гласот на оние кои Ти се молат; гордоста на оние што Те мразат постојано се крева против Тебе.

Псалм 75

1. Ќе Те фалиме Тебе, Боже, ќе Те фалиме, и ќе го призиваме името Твое.
2. Ќе ги разгласувам Твоите чудеса кога ќе дојде време; ќе судам по правда.
3. Ќе се заниша земјата и сите, што живеат на неа. Но Јас ги зацарив столбовите нејзини.
4. Им реков на оние, што вршат беззаконија: не отстапувајте од законот, и на грешниците: не дигајте рог,
5. не кревајте го високо вашиот рог, не говорете против Бога неправда,
6. зашто издигањето не доаѓа ни од исток, ни од запад, ниту, пак, од пустите гори;
7. но Бог е судија: едни унижува, а други возвисува.
8. Зашто чашата е во раката на Господа, со вино немешано, добро, и Он налева од неа по ред, но талогот нема да се источи; од него ќе пијат сите грешници на земјата.
9. Јас, пак, вечно ќе се радувам, ќе Му пеам на Јакововиот Бог,
10. ќе го скршам рогот на сите грешници, а рогот на праведниците ќе се возвиси.

Псалм 76

1. Познат е Бог во Јудеја; големо е Неговото име во Израилот.
2. Во светото е Неговото место, а Неговото живеалиште - на Сион.
3. Таму Он ја порази силата на стрелите, штитот и мечот и војната.
4. Светлината Твоја е чудесна од вечните гори.
5. Се збркаа сите неразумни по срце; заспаа богатите лу е и ништо не најдоа во рацете од богатствата свои.
6. Од Твојата закана, Боже Јаковов, задремаа коњаниците.
7. Ти си страшен, и кој ке Ти се противстави Тебе? Оттаму е Твојот гнев.
8. Од небесата се чу глас дека ке судиш; земјата се уплаши и се смири.
9. Кога Бог стана да суди, за да ги спаси сите кротки по земјата,
10. бидејки мислите свои лу ето ке Ти ги исповедаат: а и остатокот од нив ке Те прославува.
11. Заветувајте се на Господа, вашиот Бог, и исполнувајте ги заветите; сите, што сте околу Него, принесувајте дарови,
12. Страшниот, Кој ги скротува духовите и кнезовите, пострашен е од земните цареви.

Псалм 77

1. Со гласот свој повикав кон Господа, со гласот свој кон Бога, и Он ме услиши.
2. Во денот на тагата моја Го побарав Бога ноке, со издигнати кон Него раце и не се уморив; но душата моја не можеше да се утеши.
3. Го спомна Бога и се развеселив, размислував и духот мој стана малодушен.
4. Будни се очите мои, се возбудив и не можев да говорам.
5. Размислував за првите дни, и се сетив за годините прастари, па се поучив;
6. Размислував ноке со срцето свои, а духот мој ме испитуваше;
7. зар Господ засекогаш те отфрли и не сака ли повеке да биде благонаклон, или
8. засекогаш престанала Неговата милост, и Неговото слово се пресекло од род во род?
9. Зар Господ заборавил на штедроста Своја? Зар во гневот Свој ке го затвори Своето милосрдие?
10. Па си реков: 'Сега знам - десницата на Севишниот се изменила.'
11. Се сетив за делата на Господа; се сетив за Твоите први чудеса;
12. и ке се поучам во сите Твои дела и ке зборувам за постапките Твои.
13. Боже, Твојот пат е свет. Кој Бог е толку голем, како нашиот Бог!
14. Ти си Бог, Кој прави чудеса; Ти ја покажа силата Своја ме у народите;
15. Ти со мишката Своја го избави Твојот народ, синовите на Јакова и на Јосифа.
16. Те видоа, Боже, водите, Те видоа водите и се разбрануваа, и бездните затреперea.
17. Голем шум од води се слушаше, загрме од облаците, зашто стрелите Твои пролетуваа.
18. Гласот на Твојот гром се разнесуваше по небото; светкавици ја осветлуваа вселената; земјата треперeше и се тресеше.
19. Твојот пат води кон морето, но Твоите патеки во многуте води и Твоите траги не ке се познаваат.
20. Ти ги водеше како овци лу ето Твои преку раката на Мојсеја и Арона.

Псалм 78

1. Внимавајте лу е Мои на законот Мој, нека чуе увото ваше што зборува устата Моја.
2. Ја отворам устата своја за парабола и ке зборувам за непознатите работи од старо време.
3. Се чувме и дознавме и што ни раскажуваа татковците наши,
4. не остана сокриено од нивните деца, зашто на идниот род му се раскажуваше славата на Господа и силата Негова, и чудесата Негови што Он ги изврши.
5. Он подигна сведоштво во Јакова и положи закон во Израилот, и им заповеда на татковците наши сето тоа да им го објават на децата свои,
6. за да знае идниот род, децата, што ке се родат, та и тие во свое време да им раскажуваат на своите деца,
7. да ги полагаат надежите свои на Бога, да не ги заборавaат делата Божји, да ги чуваат Неговите заповеди
8. и да не бидат како татковците нивни - род упорен и бунтовен, непостојан по срце и не му остана верен на Бога со духот свој.
9. Синовите Ефремови, вооружени, стрелајки со лакови, отстапија во денот на битката:
10. тие не го запазија заветот на Бога и не сакаа да одат по Неговиот закон.
11. Ги заборавија Неговите добрини и чудеса, што им ги беше покажал,
12. чудесата што пред очите на нивните татковци ги направи во Египетската земја, во полето Танеос;
13. го раздвои морето и ги преведе преку него, и ги постави водите како мев;
14. дење ги водеше со облак, а по цела нок - со огнена свтлина;
15. разби карпа во пустињата и ги напои како од голема бездна.
16. Од карпата изведе вода, и води потекоа како реки.
17. Но ти е продолжуваа и понатаму да грешат пред Него и да Ги огорчуваат Севишниот во пустињата:
18. го искушуваат Бога со срцето свое, барајки храна за своите души,
19. па го нападнаа Бога, велејки 'Може ли Бог да приготви трпеза во пустиња?'
20. Ете, Он удри во карпата - и бликнаа води, потекоа потоци. Може ли Он да му даде и леб, може ли да му приготви трпеза на Својот народ?
21. Поради ова што го чу, Господ ги презре и пламна во гнев, и оган се разгоре против Јакова и гнев се крена против Израилот,
22. затоа што не поверуваа во Бога и не се надеваат на спасението од Него.
23. Он им заповеда на облаците одозгора и се отворија вратите на небесата,
24. па ги одожди со мана за храна, и им даде леб небесен.
25. Леб ангелски јадеше човекот: Он им испрати храна до наситување.
26. Го раздвижи од небото јужниот ветар и со силата Своја го дотера југозападниот ветар,
27. па ги одожди со месо како со прав и со птици пернати како со песок морски:
28. ги нафрла среде нивниот табор, околу нивните живеалишта,
29. и тие јадеа и се заситија: и тоа што го сакаа, им го даде.
30. Но уште не беше милана нивната желба, и храната уште им беше во устата нивна,
31. а гневот Божји дојде врз нив, ги уби нивните најсилни и Израилевите момчиња ги погуби.
32. При сето тоа тие продолжуваа да грешат и не поверуваа во чудесата Негови.
33. И така им минеа дните нивни во суета и годините нивни во смутови.
34. Кога ги убиваше, тогаш Го бараа, се обрнуваа и прибегнуваа кон Бога,
35. и се секаваа дека Бог е нивни помошник и дека Севишниот Бог е нивни избавител:
36. и со устата своја Го мамеа, а со јазикот свој лажеа пред Него;
37. но срцето нивно не Му беше наполно верно, и тие не беа цврсти во заветот Негов.
38. Но Он, Милостивиот, им го простуваше гревот и не ги истребуваше, многупати ја отстрануваше јароста Своја и не го разгоруваше сиот Свој гнев:
39. но Он знаеше дека се тие тело и здив што оди и не се врака.

40. Колкупати Го беа загорчувале во пустињата и Го беа разгневувале во безводната земја!
41. И отстапуваа и одново Го искушуваа Бога и Го раздразнуваа Светецот Израилев;
42. не се секаваа на Неговата рака, ни на денот кога Он ги избави од оној, што ги оскрбуваше;
43. кога ги покажа во Египет Своте знаци и во полето Тенеос - Своите чудеса;
44. и ги претвори реките нивни и потоците нивни во крв, за да не можат да пијат;
45. испрати на нив бубачки да ги боцкаат и жаби да ги погубуваат;
46. житото нивно го предаде на гасеници и трудот нивни на скакулци;
47. лозјата им ги исчука со град и смоквите нивни - со слана.
48. и добитокот нивни го уништи со град, а имотот нивни - со оган;
49. го испрати врз нив гневот на јароста Своја, јарост, и гнев, и маки - одред зли ангели;
50. го отвори патот на Својот гнев, не ги поштеди од смрт ни душите нивни и добитокот нивни го предаде на помор;
51. уништи се што беше првородено во Египет, привиниte од нивниот труд во Храмовите населби.
52. Тогаш го поведе Својот народ како овци, и ги водеше како стадо преку пустињата:
53. ги водеше сигурно, и тие не се уплашија; непријателите нивни ги покри морето -
54. и Ги воведе во светата Своја гора, онаа, која десницата Негова ја беше придобила;
55. и ги изгони од пред лицето нивно народите, а земјата им ја раздели со жреб во нивно наследство, и ги насели Израилевите колена во полињата нивни.
56. Но Ти го искушуваа и Го огорчуваа Бога Севишниот и не ги пазеа наредбите Негови.
57. Отстапија и се оттргнаа како татковците нивни, се претворија во искривен лак.
58. Го разгневуваа на ридовите свои и со своите идоли Го раздразнуваа.
59. Бог го чу тоа, ги презре и многу го понизи Израилот;
60. ја отфрли скинијата во Силом, во која се всели Он ме у лу ето;
61. и ја предаде во ропство нивната крепост и убавината нивна во рацете на непријателот;
62. па го предаде Својот народ на меч и го презре Своето наследство.
63. Момчињата нивни оган ги голташе, и за девиците нивни немаше брачни песни;
64. свештениците нивни па аа од меч, и вдовиците нивни не беа оплакувани.
65. Тогаш се разбуди Господ како од сон, како јунак од вино совладан,
66. и го порази непријателите Свои од зад грб и ги предаде на вечен срам.
67. И го отфрли Јосифовиот шатор и не го избра коленото Ефермово,
68. туку го избра коленото Јудино, горechата Сион, која ја возљуби.
69. И изгради светилиште Свое како небото и како земјата го утврди за секогаш,
70. и го избра Давида својот слуга, го зеде од овчите стада,
71. и од овците што се јагнат го доведе за да го пасе народот Негов, Јакова, и Израилот, наследството Негово.
72. И Он ги пасеше со чисто срце и ги водеше со Својата мудра рака.

Псалм 79

1. Боже, незнабожците дојдоа во Твоето наследство, го осквернија светиот Твој храм, Ерусалим го претворија во урантини.
2. Мртвите тела на Твоите слуги им ги дадоа како храна на птиците небесни, а телата на Твоите светии - на земните ѕверови;
3. ја пролија нивната крв како вода околу Ерусалим, и немаше кој да ги погребе.
4. Станавме за потсмев на соседите наши, срам и подбив за оние што се околу нас;
5. До кога, Господи, ке се разгневуваш постојано, до кога ке гори лутината Твоја како оган?
6. Излеј го гневот Свој врз народите, што не Те познаваат, и врз царствата, кои не го признаваат името Твое,
7. зашто тие го испојадоа Јакова и местото негово го опустошија.
8. Не спомнувај ги нашите поранешни беззаконија, туку побрзај да не престретнеш со Својата милосрдност, зашто многу сме осиромашени.
9. Помогни ни, Боже, Спасителе наш, поради славата на името Твое, избави не и очисти не од гревовите наши заради името Твое!
10. Зашто незнабожците да велат: 'Каде е нивниот Бог?' Барем пред очите наши да ја видиме одмаздата над незнабожците за пролеаната крв на Твоите слуги.
11. Да дојде пред Тебе офкањето на окованите; со силата на Твојата мишка зачувај ги синовите осудени на смрт.
12. Седумкратно врати ги во пазувите на нашите соседи хулењата, со кои Те хулеа Тебе, Господи.
13. А ние, пак, народот Твој и овци од Твоето пасиште, вечно ке Те славиме и од род во род ке разгласуваме за Тебе похвала.

Псалм 80

1. Пастиру Израилев, послушај! Ти, Кој го водиш Јосифа како стадо, Кој седиш на херувимите, јави се!
2. Пред Ефрема, Венијамина и Манасија издигни ја силата Своја и дојди да не спасиш.
3. Боже, поврати не; нека светне лицето Твое, и ние ке се спасиме!
4. Господи, Боже на силите, до кога ке бидеш гневен на молитвата од слугите Твои?
5. Ќе не храниш ли со солзлив леб, и напојуваш со солзи изобилно?
6. Не направи приказ за кавги ме у нашите соседи, и нашите непријатели ни се смеат.
7. Господи, Боже на силите, поврати не! Нека светне лицето Твое, и ние ке се спасиме!
8. Ти ја пренесе од Египет лозата, ги изгони народите и ја посади;
9. исчисти за неа место, и ги зацврсти корењата нејзини, и таа ја исполни земјата.
10. Горите се покрија од сенката нејзина, и гранките и се како кедрови Божји;
11. таа пушти гранки до морето и младици до реката.
12. Зошто ја сруши нејзината ограда, па да ја берат сите, што минуваат по патот?
13. Горскиот вепар ја подгризува, и полската ѕверка ја јаде.
14. Боже на силите! Сврти се, погледај од небесата и види го и посети го ова лозје;
15. и утврди го она што го посади десницата Твоја; погледај и на синот човечки, што си го зацврстил за Себе.
16. Тоа е со оган обгорено и раскопано; од страв пред Твоето лице нека пропаднат.
17. Твојата десница нека биде раката Твоја над човекот, и на синот човечки, кого си го зацврстила за Себе.
18. А ние нема да отстапиме од Тебе; оживи не, и ние ке го призиваме Твоето име.
19. Господи, Боже на силите, поврати не; нека свети лицето Твое, и ние ке се спасиме!

Псалм 81

1. Радувајте се во Бога, нашиот помошник, воскликнете кон Бога Јаковов;
2. запејте песна, удрете во тимпан, во милозвучно гусле со псалтир;
3. затрубете со труба во новомесечје, во определено време, во денот на вашиот празник,
4. зашто тоа е закон за Израилот, наредба од Бога Јаковов.
5. Он го установи тоа како сведоштво за Јосифа, кога тој излезе од Египетската земја, каде што чу јазик, што не го знаеше:
6. 'Јас го симнав товарот од рамениците негови, и му ги ослободив рацете негови од кошницата.
7. Во маката своја ти Ме повика, и Јас те избавив; при гром те чув, кај водите на Мерива те испитав.
8. Чуј, народе Мој, и Јас ќе ти посведичам, ако Ме послушаш, Израиле!
9. Да немаш друг бог и да не му се клањаш на друг земен бог.
10. Јас сум Господ, Бог твој, Кој те изведе од Египетската земја; отвори ја устата своја, и Јас ќе ја исполнам.
11. Но мојот народ не го послуша гласот Мој, и Израилот не Ми се поклони;
12. затоа Јас ги оставив на нивните упорни срца; нека одат по мислите свои.
13. О, да беше Ме послушал Мојот народ и Израилот да одеше по Моите патишта,
14. веднаш ќе ги смирев нивните непријатели и ќе ја свртев раката Своја против оние што го оскрбуваа.'
15. Оние, што го мразат Господа, сакаа да Му се приближат, и нивното дружење би продолжило за секогаш;
16. ќе ги хранев со најдобра пченица и ќе ги наситував со мед од камен.

Псалм 82

1. Бог застана во собранието на 'боговите'; ме у 'боговите' изрече суд:
2. До кога ке судите неправедно и спрема грешниците ке покажувате пристрастност?
3. Пазете на сирак и беден, праведен и сиромав;
4. ослободувајте го сиромавиот и бедниот од рацете на грешниците.
5. Не знаат, не разбират, во темнина одат; сите земни основи ке се разнишаат,
6. Јас реков: вие сте богови, вие сте сите синови на Севишниот;
7. но вие ке умрете како лу е, и ке па ате како секој кнез.'
8. Стани, боже, суди и на земјата, зашто Твои се по наследство сите народи.

Псалм 83

1. Боже, кој може да се спореди со Тебе? Не премолчувај, и не смирувај се Боже,
2. зашто ете Твоите непријатели вреват, а оние, што Те мразат, кренаа глава;
3. против Твојот народ зло наумија и се советуваат против светите Твои;
4. рекоа: 'Да отидеме и да го истребиме ме у народите, па да не се спомнува повеке името
Израил.'
5. Се договорија еднодушно, склучија против Тебе сојуз;
6. населбите Едомови и Исмаилски, Моав и Агарјани;
7. Гавал, Амон, Амалик и другоплемениците се оние што живеат во Тир,
8. бидејки и Асур се придружи кон нив, па станаа помош за синовите Лотови.
9. Направи ми го истото, како што им направи на Мадијамците, како и на Сисарите, како и на
Јавин кај потокот Кисон,
10. кои беа истребени во Аендор и станаа убре за земјата.
11. Постапи со нив, со нивните кнезови, како со Орив и Зива и со сите нивни кнезови, како со
Зевеј и Саламан,
12. бидејки велат: 'Да го присвоиме за себе светилиштето Божјо!'
13. Боже мој, заповедај да станат како виор и како плева пред ветар;
14. како оган што изгорува дубрави, и како пламен што запалува гори.
15. Така и Ти подгони ги лицата нивни со бесчестие, па да го побараат името Твое, Господи!
16. исполни ги лицата нивни со бесчестие, па да го побараат името Твое, Господи!
17. Да се засрамат и да се збунат засекогаш, да се посрамат и да загинат,
18. и да познаат, дека името Ти е Господ, и дека Ти си единствен Севишен над целата земја.

Псалм 84

1. Колку се мили Твоите живеалишта, Господи на силите!
2. Копнее душата моја сакајки да е во Господовите дворови; срето мое и телото мое со радост се стремат кон живиот Бог.
3. И птичката си нао а живеалиште, и ластовичката гнездо, каде што ке ги положи пиоњата свои, а јас при олтарите Твои, Господи на силите, Цару мој и Боже мој!
4. Блажени се оние, кои живеат во домот Твој тие постојано Те фалат.
5. Балажен е оној човек, кој заштита бара кај Тебе и во чие срце се патиштата Твои.
6. Преминувајки ја долината на плачот, тие нао аат извори во неа, и дожд ја покрива со благослови;
7. минуваат од сила во сила, се јавуваат пред Бога, на Сион.
8. Господи, Боже на силите, услиши ја молитвата моја, послушај, Боже Јаковов!
9. Боже, заштитнику наш, погледај и види го лицето на твојот помазаник!
10. Зашто еден ден во Твоите дворови е подобар отколку - иљада дни надвор. Повеке сакам да бидат на прагот пред Божјиот дон, отколку да живеам во населбите на грешниците.
11. Бидејки Господ Бог сака милост и вистина, дава благодат и слава; Господ не ги лишува од блага оние, што одат непорочно.
12. Господ на силите, блажен е оној човек, кој се надева на Тебе!

Псалм 85

1. Господи, Ти омиле земјата Твоја, го врати од пленство Јакова.
2. Ти им ги прости беззаконијата на Твоите лу е, ги покри сите нивни гревови,
3. го смири сиот Свој гнев, ја ублажи јароста на гневот Свој.
4. Поврати не, Боже, спасение наше, и одврати ја Твојата јарост од нас.
5. Зар вечно ке се гневиш на нас, или ке го протегнеш гневот Свој од род во род?
6. Нема ли, Боже, да се повратиш, и пак да не оживееш, и лу ето Твои да се зарадуваат во Тебе?
7. Покажи ни ја, Господи, Твојата милост, и подари ни спасение.
8. Ке чујам што ке ми рече Господ Бог, зашто Он ке зборува за мир на Својот народ и на Своите светии, и на оние што со срцето свое Му се обракаат Нему.
9. Да, спасението од Него е блиску до оние, кои се бојат од Него, за да ја насели славата своја во нашата земја.
10. Милоста и вистината ке се сретнат, правдата и мирот ке се целиваат.
11. Вистината ке изникне од земјата, а правдата ке се појави од небото;
12. Зашто Господ ке даде добро, и нашата земја ке го даде својот плод;
13. правдата ке оди пред Него и на патот ке ги става стапките свои.

Псалм 86

1. Приклони го, Господи, увото свое и услиши ја молитвата моја, зашто сум беден и сиромав.
2. Зачувај ја душата моја, зашто сум смирен; спаси го слугата Твој, Боже мој, кој се надева на Тебе.
3. Помилуј ме, Господи, зашто кон Тебе викам секој ден.
4. Развесели ја душата на Твојот слуга, оти кон Тебе, Господи, ја вознесувам душата своја;
5. зашто Ти, Господи, си добар, кроток и многумилостив кон сите, кои Те признаваат.
6. Чуј ја, Господи, мојата молитва и послушај го гласот на молбата моја.
7. Во денот на мојата мака повикав кон Тебе, и Ти ме чу.
8. Ме у боговите нема таков каков што си Ти, Господи, и нема дела како Твоите.
9. Сите народи што си ги создал Ти, ке дојдат и ке се поклонат пред Тебе, Господи, и ке го прославуваат името Твое,
10. зашто Ти си велик и правиш чудеса, - Ти си Бог единствен!
11. Упати ме, Господи, кон Твојот пат, и јас ке одам во Твојата вистина; и нека се радува срцето мое, плашејки се од името Твое.
12. Ке Те славам, Господи, Боже мој, од се срце и вечно ке го прославувам името Твое,
13. зашто Твојата милост кон мене е голема: Ти ја спаси душата моја од длабините на пеколот.
14. Боже, законопрестапниците станаа против мене, и многуте насилници ја бараат душата моја: тие Те немаат Тебе пред себе.
15. Но Ти, Боже, Кој си штедар и милостив, долготрпелив, многумилостив и вистинит,
16. погледни на мене и помилуј ме; дај му ја Твојата сила на слугата свој и спаси го синот на слугинката Твоја;
17. покажи со мене чудо за добро, па да видат оние, што ме мразат, и да се засрамат, зашто Ти, Господи, ми помогна и ме утеши.

Псалм 87

1. Основите Негови се горите свети.
2. Господ ги сака портите Сионски повеке од сите населби на Јакова.
3. Граде Божји, преславно се зборува за тебе.
4. 'Ке им спомнам на оние кои ме знаат, за Раав и Вавилон; ете, другоплемениците, и Тир, и лу ето од Етиопија, и тие се родија таму беа.'
5. А за мајката Сион ке речат: тој и тој човек се роди во него, и Самиот Севишни го зацврсти.
6. Кога ке се пребројуваат народите и кнезовите, Господ ке напише: сите досега таму се родија.
7. Оние што пеат се радуваат; пеат и велат - сите наши извори во Тебе се.

Псалм 88

1. Господи, Боже на моето спасение, дење Те призивам и ноке сум пред Тебе:
2. за да дојде пред Тебе молитвата моја, приклони го увото Свое кон молбата моја, Господи,
3. зашто душата моја е полна со јад и животот се приближи до адот.
4. Се изедначив со оние, што слегуваат во гроб; станав како човек без помош - слободен ме у мртвите;
5. како фрлени и ранети што лежат во гроб, за кои Ти веке не се секаваш; тие се оттурнани од Твојата рака.
6. Ме положија во подземен ров, во мрак и во смртна сенка.
7. Ја истури врз мене Твојата јарост, и со сите Свои бранови ме поразуваш.
8. Ти ги оддалечи од мене моите познати, ме направи одвратен за нив; затворен сум и не можам да излезам.
9. Очите мои ослабеа од сиромаштија: цел ден викам кон Тебе, Господи, ги протегам рацете кон Тебе.
10. Зар на мртовци ке правиш чуда? Зар сенките ке се кренат и ке Те слават?
11. Зар во гроб некој ке кажува за твојата милост и за Твојата вистина - местото на распа ањето?
12. Зар во темнината ке ги познаат Твоите чудеса, и во земјата на заборавот - твојата правда?
13. Но јас повикав кон Тебе, Господи, и наутро молитвата моја Те испреварува.
14. Зошто, Господи, ја оттурнуваш душата моја и го одвракаш лицето Свое од мене?
15. Јас сум несрекен и од младини се мачам; се возгордеав, се смирив и изнемоштен сум.
16. Над мене се надви Твојата јарост, Твоите заплашувања наполно ме скршија.
17. Секој ден ме опкружуваат како вода: сите заедно ме опседнуваат.
18. Ти го оддалечи од мене ближниот и пријателот; моите познати не се гледаат.

Псалм 89

1. Милоста, Твоја, Господи, вечно ќе ја воспевам, од род во род ќе ја разгласувам со устата своја Твојата вистина.
2. Зашто рече: милоста е за вечност установена, а на небото Ти ја утврди Твојата вистина.
3. 'Јас поставив завет со Моите избраници, му се заколнав на Мојот слуга Давида:
4. за вечност ќе го одржувам твоето потомство, од род во род и ќе го утврдувам твојот престол.'
5. И небото ќе ги прославува. Господи, Твоите чудесни дела и Твојата вистина во собранијата на светиите.
6. Зашто, кој на облаците ќе се споредува со Господа и кој од синовите Божји ќе се изедначи со Господа?
7. Во соборот на светиите Бога Го прославуваат; велик е и страшен за сите што Го окружуваат.
8. Господи, Боже на силите, кој е еднаков со Тебе. Силен Си Ти, Господи, и вистината Твоја е околу Тебе.
9. Ти управуваш со силата морска и силните бранови негови, Ти ги скротуваш.
10. Ти го поразуваш гордиот како ранет, со Твојата крепка рака ги распрснуваш непријателите Свои.
11. Твои се небесата и твоја е земјата; вселената и она, што ја исполнува, Ти си ја основал.
12. Север и југ Ти си ги создал; Тавор и Ермон за Твоето име се радуваат.
13. Силна е Твојата мишка, цврста е раката Твоја, високо е издигната десницата Твоја!
14. Правдата и судот се основа на Твојот престол; милоста и вистината одат пред Твоето лице.
15. Блажени се лу ето, што го познаваат трубниот глас. Тие одат во светлината на Твоето лице, Господи;
16. за Твоето име се радуваат цел ден и со Твојата правда се возвишуваат,
17. зашто Ти си пофалба на силите нивни и со Твоето благоволение се издига нашиот рог,
18. бидејќи нашата заштита доа а од Господа и од светецот Израилев, нашиот Цар.
19. Некогаш Ти си им зборувал на Твоите синови во видение и си рекол: 'Јас му дадов помош на силниот, го издигнав избраникот ме у Мојот народ.
20. Го најдов Мојот слуга Давида; со својот свет елеј го помазав.
21. Раката Моја ќе го застапува, и мишката моја ќе го закрепнува.
22. Непријателот не ќе може ништо да му направи,и синот на беззаконието нема да го измачува.
23. Ќе ги уништам пред него непријателите негови и ќе ги победам оние, што го мразат.
24. И Мојата вистина и Мојата милост се со него, и преку Моето име ќе се возвишува неговиот рог.
25. И ќе ја положам над морето раката негова, и над реките - десницата негова.
26. Тој ќе ме призива: Ти си мој Отец, мој Бог и крепост на моето спасение.
27. И Јас ќе го направам првороден син, повисоко од земните цареви,
28. засекогаш ќе му ја зачувам Мојата милост и Мојот завет со него да биде верен.
29. И ќе го продолжам за секогаш неговото потомство и неговиот престол, - колку деновите на небото.
30. Ако синовите негови го остават Мојот закон и не одат по Моите заповеди;
31. ако ги нарушат Моите наредби и не ги запазуваат Моите повелби,
32. тогаш ќе ги посетам со жезалот поради нивното беззаконие, и со рани - заради неправдите нивни;
33. но милоста Своја нема да ја одземам од него и вистината нема да ја превртам.
34. Нема да го нарушам Мојот завет и нема да го изменам она, што излегло од устата Моја.
35. Еднаш се заколнав во светоста Своја: ќе ги излажам ли Давида?
36. Неговото потомство вечно ќе пребива, неговиот престол ќе биде како сонце пред Мене,
37. засекогаш ќе стои како месечината; и верен сведок е на небото.'

38. Но Ти го отфрли и го презре, негодуваше на Твојот помазаник;
39. го разруши заветот со Твојот слуга, го оскверни светилиштето негово на земјата;
40. ги разруши сите негови огради, ги претвори во урнатини неговите крепости.
41. Го ограбуваат сите што поминуваат по патот; тој стана за потсмев на своите соседи.
42. Ти ја возвиши десницата на неговите противници, ги зарадува сите непријатели негови;
43. Ти му откажа помош на мечот негов и во борбата не го поткрепи;
44. ја одзеде од него чистотата и го урна на земја престолот негов;
45. ги скрати деновите на времето негово и го покри со срам.
46. До кога, Господи, ке се одрвака непрестајно? Го кога ке гори гневот Твој како оган.
47. Спомни си, колкав е векот мој: за каква суета си ги создал сите синови човечки.
48. Кој од лу ето ке живее, а смрт да не види, и да ја спаси душата од пеколот?
49. Каде се Твоите поранешни милости, Господи, за кои му се заколна на Давида во Твојата вистина.
50. Сети се, Господи, на подбивите од слугите Твои што ги носам во пазувите свои од многуте народи;
51. на подбивите од Твоите непријатели, Господи, со кои ја валкаат трагата на Твојот помазаник.
52. Нека е благословен Господ во сите векови! Амин, Амин!

Псалм 90

1. Господи, Ти си ни прибежиште од род во род.
2. Дури уште пред да се појават горите, и пред создавањето на земјата и на вселената, отсекогаш и за секогаш Ти постоиш.
3. Не вракај го човекот во прав, бидејки си рекол: 'обратете се синови човечки!'
4. Зашто пред Твоите очи иљада години се како вчерашен ден, што поминал, и колку една стража преку нокта.
5. Годините нивни минуваат; тие се како трева - изутрина;
6. наутро ке процути и ке помине, а навечер па а и се исушува.
7. Така и ние исчезнуваме од Твојот гнев, и од Твојата јарост сме во забуна.
8. Ти си ги поставил пред Себе нашите беззаконија, векот наш е во светлината на лицето Твое.
9. Сите наши дни се скратуваат и од Твојот гнев исчезнуваат, па веке не нема; нашите години се трудеа како пајак.
10. Дните на нашиот живот се седумдесет години, а ако сме крепки и до осумдесет години; и повеке време од нив се во труд и болести, бидејки брзо минуваат и ние летаме со нив.
11. Која ја знае силата на Твојот гнев, па во стравот пред Твојата јарост да се плаши?
12. Научи не така со десницата Твоја, па да се здобиеме со мудро срце.
13. Сврти се, Господи, до кога вака? Смилувај се на Твоите слуги.
14. Се исполнивме изутрина со Твојата милост, Господи, и се зарадувавме и се развеселивме во сите наши дни,
15. се развеселивме за оние дни, кога не понизуваше, за годините, во кои видовме зло.
16. па призри на слугите Твои и на делата Твои, и научи ги синовите нивни.
17. И славата на нашиот Господ Бог нека биде со нас, и во делата на рацете наши помагај ни.

Псалм 91

1. Кој живее пок закрилата на Севишниот, тој престојува во домот на небескиот Бог.
2. И ке Му рече на Господа: Ти си мој застапник, Ти си мое пребивалиште, Бог мој, и на Тебе ке се надевам!
3. Зашто Он ке те избави од стапицата на ловецот, и од збор кој збунува.
4. Со плеките Свои ке те осени и под крилјата Негови ке бидеш во сигурност: како што ке те окружува Неговата вистина.
5. Нема да се уплашиш од нокен страв, ни од стрела што лета дење,
6. од суштества што одат во темнина, од зараза и од бес што опустошува напладне.
7. Покрај тебе ке паднат илјада, и десет илјади десно од тебе; но до тебе нема да се приближат;
8. само ке гледаш со очите свои и ке ја гледаш отплатата на грешниците.
9. Зашто, ти, си Господи, надеж моја, Севишниот го избра за Свое прибежиште;
10. зло нема да Ти се случи, и невојла нема да Ти се приближи до телото Твое;
11. затоа што ке им заповеда на ангелите Свои за Тебе, да Те чуваат на сите патишта Твои.
12. Ke Те понесат на раце, да не ја сопнеш од камен ногата Своја;
13. на отровница и на змија ке нагазуваш, лав и змеј ке убиваш.
14. 'Бидејки се надеваше на Мене, и ке го избавам, и ке го заштитам, зашто го позна името Мое.
15. Ke повика кон Мене, и ке го чујам; со него сум во невоља; ке го избавам и ке го прославам,
16. ке му дадам многу денови и ке му го јавам спасението од Мене.'

Псалм 92

1. Добро е да се слави Господ и да Му се пее на името Твое, Севишни,
2. да се возвестува наутро милоста Твоја, и секоја нок - Твојата вистина,
3. на десетострунен псалтир, со песна на гусле.
4. Зашто Ти ме развесели, Господи, со Твоите созданија, и од делата на Твоите раце е зарадував.
5. Колку се големи делата Твои, Господи! многу се длабоки Твоите помисли!
6. Безумниот човек не ке може да ги узнае, и неразумниот нема да го разбере тоа.
7. Кога грешниците никнуваат како трева, и кренат глава оние што вршат беззаконие, тоа е за да бидат истребени засекогаш, -
8. Ти си, Господи, Севишни секогаш!
9. Зашто, еве, непријателите Твои, Господи, ке пропаднат и ке се растураат сите што вршат беззаконие;
10. а мојот рог Ти го вознесуваш како рог на еднорогот, и староста моја со елеј се помазува,
11. и окото мое ги погледа непријателите мои, и увото мое ке чуе за побунетите против мене беззаконици.
12. Праведникот процути како палма, ке се издигне како кедар ливански.
13. Засадените во домот Господов, ке процутат во дворовите на нашиот Бог;
14. тие и во староста ке бидат плодни, помазани и ке живеат угодно,
15. за да возвестуваат дека е праведен Господ, нашиот Бог, и дека нема неправда од Него.

Псалм 93

1. Господ се зацари; се облече во велелепие, Господ се препаша со сила, затоа што вселената ја зацврсти и нема да се разниша.
2. Твојот престол е утврден од почетокот на времето; Ти постоиш отсекогаш.
3. Ги издигнаа реките, Господи, ги издигнаа реките гласовите свои.
4. Но од бучесњето на многуте води, чудесни се морските бранови, чудесен е Господ во висините Свои.
5. Сведоштвата Твои се многу уверливи. На твојот дом, Господи, му припа а светост за долго време.

Псалм 94

1. Бог Господ е одмаздник Боже на одмаздата покажи се!
2. Стани, Судијо на земјава, дај им отплата на гордите.
3. До кога грешниците, Господи, до кога грешниците ке се фалат,
4. мрморат и кажуваат неправда, до кога ке зборуваат така сите што вршат безаконие?
5. Го газат Твојот народ, Господи, и го озлобуваат Твоето наследство;
6. вдовица и сирак убија, и придојден убија.
7. па рекоа: Господ нема да види, ни Бог Јаковов нема да дознае.
8. Вразумете се, вие што сте безумни! И дали вие, лу е, некогаш ке се опаметите?
9. Оној, Кој го насадил увото, нема ли да чуе, и Оној што го поставил окото, нема ли да види?
10. Оној, Кој ги вразумува народите, и Кој го учи човекот на знење, зар нема да казни?
11. Господ ги знае човечките мисли, знае дека се тие суетни.
12. Блажен е оној човек, кого го казнуваш Ти, Господи, и го поучуваш на Твојот закон,
13. за да му дадеш мир во лошите денови, додека за грешникот не се ископа гроб!
14. Зашто Господ нема да го отфрли Својот народ и нема да го остави Своето наследство.
15. додека правдата не се обрне во суд и по него не се држат сите прави по срце.
16. Кој ке се крене за мене против лукавите или кој ке стои покрај мене против оние што вршат беззаконие?
17. Да не ми беше помогнал Господ, душата моја брзо ке се преселеше во адот.
18. Кога ке речев: ногата ми се поколеба, - Твојата милост, Господи, ме помагаше.
19. Кога се намножуваа тешкотиите и во срцето мое, Твоите утехи ја развеселуваа душата моја.
20. Па зар до Тебе ке се приближи престолот безбожнички, оној што работи спротивно на законот Твој.
21. Ја ловат душата на праведникот и осудуват невина крв.
22. Но Господ е мое прибежиште и Бог мој - сигурност во надежта моја.
23. Он ке го сврти врз нив нивното беззаконие, и според злобата нивна ке ги погуби Господ Бог.

Псалм 95

1. Дојдете да се возрадуваме во Господа и да воскликнеме кон Бога, Спасителот наш;
2. да побрзаме пред лицето Негово со славословие, и со псалми да Му воскликнеме,
3. зашто Бог е велик Господ и Цар голем по целата земја.
4. Зашто во Неговите раце се сите краишта на земјата, а горските височини се исто така Негови.
5. Бидејќи Негово е морето, и Он го создаде, а рацете Негови го создадоа и сувото.
6. Дојдете, да Му се поклониме и да паднеме ничкум, да заплачеме пред лицето на Господа, нашиот Творец;
7. зашто Он е Бог наш, а ние сме народ од Неговото пасиште и овци од Неговите раце. О, денес да бевте го послушале Неговиот глас!
8. 'Не ожесточувајте ги срцата ваши, како во Мерива, во деновите на искушението во пустињата,
9. каде што Ме искушуваа вашите татковци, Ме испитуваа и ги видоа делата Мои.
10. Четириесет години негодуваа против тој народ и реков: овие лу е се заблудуваат во срцето свое и не ги познаа патиштата Мои,
11. па затоа се заколнав во гневот Свој, дека тие нема да влезат во Мојот мир.'

Псалм 96

1. Запејте Му на Господа песна нова, запеј Му на Господа, цела земјо!
2. Пејте Му на Господа, благословувајте го името Негово, благовестите го од ден на ден
спасението од Него;
3. разгласувајте ја ме у народите славата Негова, и на сите народи - чудесата Негови;
4. зашто велик е Господ и достоен за пофалба, страшен е Оне над сите богови.
5. Бидејки сите богови на незнабожците се бесови, а Господ го создаде небото.
6. Слава и величие се пред лицето Негово, светост и великолепие - во светилиштето Негово.
7. Воздајте Му на Господа, племиња народни, воздајте Му слава и чест;
8. воздајте Му на Господа слава на името Негово, земете жртви и влезете во неговите дворови;
9. поклонете Му се на Господа во светите дворови Негови. Да затрепери пред лицетео Негово
целата земја!
10. Кажете им на народите: Господ се зацари! затоа цврста е вселената, нема да се разниша.
11. Нека се развесели небото и да се возрадува земјата, нека се раздвижи морето и она што го
исполнува;
12. нека се радуваат полињата и се што е на нив, да ликуваат сите дрвја по дубравите,
13. пред лицето на Господа, зашто иде, зашто Он иде да и суди на земјата. Он ке и суди на
вселената по правда, и на народите - според Својата вистина.

Псалм 97

1. Господ се зацари: нека се радува земјата; нека се веселат многубројните острови.
2. Облак и мрак е околу Него; правда и судот се основа на Неговиот престол.
3. Пред Него оган врви и ги гори непријателите Негови наоколу.
4. Неговите молњи ја осветлуваат вселената; земјата гледа и трепери.
5. Горите се топат како восок од лицето на Господа, од лицето на Господа, по целата земја.
6. Небесата ја разгласуваат Неговата правда, и сите народи ја видоа Неговата слава.
7. Нека се засрамат сите, кои се клањаат на кипови, кои се фалат со своите идоли. Поклонете Му се сите ангели Негови.
8. Чу Сион и се зарадува, се веселат керките Јудини заради Твоите пресуди, Господи,
9. зашто Ти си Господи, Севишни на целата земја, повисок си од сите богови.
10. Вие, кои Го сакате Господа, мразете го злото! Ја чува Господ душата на своите светии; од раката на грешниците ке ги избави.
11. Светлина засветли над праведникот, а на правите по срце - радост.
12. Радувајте се, праведни, во Господа и славете го споменот на светоста Негова.

Псалм 98

1. Запејте Му на Господа нова песна, зашто создаде чудесни работи, Неговата десница, Му помогна и Неговата света мишка.
2. Господ го објави Своето спасение, пред очите на народите ја откри Својата правда.
3. Се присети Он за својата милост кон Јакова и на вистината Своја кон домот Израилев; сите краишта земи го видоа спасението од Нашиот Бог.
4. Воскликни Му на Господа, цела земјо; запеј, радуј се и пеј;
5. пејте Му на Господа со гусли, со гусли и со глас псаломски;
6. во труби ковани и во труби од рог затрубете пред Царот - пред Господа.
7. Нека шуми морето и се она што го исполнува: вселената и сите што живеат во неа;
8. да заплескаат со раце реките и заедно со горите да се зарадуваат пред лицето на Господа!
9. зашто Он доа а да и суди на земјата. Он ке и суди на вселената по правда и народите - правично.

Псалм 99

1. Господ се зацари: нека треперат народите! Он седи на херувими: нека се затресе земјата!
2. Велик е Господ на Сион и возвишен е Он над сите народи.
3. Нека го слават името Твое велико: зашто тоа е страшно и свето.
4. И геста на Царот, сака праведен суд; Ти утврди правда; суд и правда Ти изврши кај Јакова.
5. Превознесувајте Го Господа, нашиот Бог, поклонувајте Му се во подножјето на нозете
Негови, зашто тоа е свето!
6. Мојсеј и Арон беа ме у свештениците свои, а Самуил ме у оние, кои го призовуаа името
Негово. Ти го призовуваа Господа и Он ги слушаше.
7. Во облаков столб Он им говореше, зашто тие ги пазеа Неговите заповеди и наредби, што им
ги даваше.
8. Господи, Боже наш, Ти ги слушаше. Боже, Ти беше милостив спрема нив и ги казнуваше сите
нивни лоши постапки.
9. Возвишувајте Го Господа, нашиот Бог, и поклонувајте се пред Неговата света гора, зашто
свет е Господа, нашиот Бог.

Псалм 100

1. Воскликни Му на Господа, цела земјо!
2. Служете Му на Господа со радост; излегувајте пред Него со восклик!
3. Знајте дека е Господ, дека е Он Бог наш, дека Он не создаде нас, а не ние самите; Негови сме - Негов народ и овци од Неговото пасиште.
4. Влегувајте низ Неговите порти со славословие, во Неговите дворови со песна; славете Го, фалете го името Негово,
5. зашто благ е Господ: Неговата милост е вечна и Неговата вистина е од род во род.

Псалм 110

1. Му рече Господ на мојот Господ: 'Седи од Мојата десна страна, додека ги ставам непријателите Твои во подножјето на нозете Твои.
2. Жезалот на Твојата сила ке ти го прати Господ од Сион: владеј ме у непријателите Свои.
3. Со Тебе започнува Твојата сила; во светлината на светиите Твои; Те родив уште пред да постои ѕвездата Деница.
4. Се заколна Господ и нема да се покае: Ти си вечен свештеник по чинот Мелхиседеков.
5. Господ Кој е од Твојата десна страна, во денот на гневот Свој, Он ке ги порази царевите;
6. ке изврши суд над народите, ке ја исполни земјата со трупови, ке ги скрши главите на многумина на земјата.
7. Од потокот на патот ке пие, и затоа високо ке ја крене главата.

Псалм 111

1. Ќе Те славам, Господи, од се срце во советот на праведните и во собранието.
2. Големи се делата на Господа, кои се создадени по Неговата воља.
3. Неговото дело е слава и великолепие, а правдата Негова вечно ке постои.
4. Незаборавни ги направи чудесата Свои, милостив и штедар е Господ.
5. Им дава храна на оние, кои се бојат од Него; вечно го помни заветот Свој.
6. Силата на делата свои му ја покажа на Својот народ, за да му ги даде незнабожците во наследство.
7. Делата на рацете Негови се вистина и суд; и верни се сите заповеди Негови,
8. утврдени засекогаш, засновани врз вистина и правда.
9. Он му испрати избавување на Својот народ; засекогаш го установи Својот завет. Свето е и страшно името Негово.
10. Почеток на мудроста е стравот од Господа; здрав разум имаат сите, кои според неа постапуваат. Пофалата Негова пребива вечно.

Псалм 112

1. Блажен е оној човек, кој се бои од Господа и кому му се мили Неговите заповеди.
2. Неговото потомство ке биде силно на земјата; родот на праведните ке биде благословен.
3. Слава и богатство ке има во неговиот дом; и правдата негова ке преуспева вечно.
4. На праведните во темнина им изгрева светлина од Добриот и Милостивиот.
5. Добриот човек е дарежлив и на заем дава; во судот тој уверливо ке ги потврди зборовите свои;
6. и никогаш нема да се разниша; праведниот останува во вечен спомен.
7. Од лоши гласови нема да се уплаши; срцето му е спремно, зашто се надева во Господа.
8. Срцето му е цврсто: тој нема да се уплаши, кога - годе ке погледне во непријателите свои.
9. Тој растура, дава на сиромаси; правдата негова останува вечно; неговиот рог ке се возвиши во слава.
10. Грешниот, кога ке го види тоа, ке се јадосува, ке крцка со забите свои и ке се топи. Желбата на грешникот пропа а.

Псалм 113

1. Фалете Го, слуги Господови, фалете го името на Господа.
2. Нека е благословено името Господово отсекогаш и засекогаш.
3. Од исток до запад нека се прославува името на Господа.
4. Возвишен е над сите народи Господ; Неговата слава е над небесата.
5. Кој е како Господ, нашиот Бог, Кој живее во висините,
6. и Кој со смиреност гледа на небото и на земјата;
7. Кој од прав го издига сиромавиот и од калта го вади бедниот,
8. за да го постави со кнезовите, со кнезовите на народот негов.
9. Кој неплодната ја вселува в куки како мајка, што се радува ме у многуте деца.

Псалм 114

1. Кога Израилот излезе од Египет, домот Јаковов - од ту народ,
2. Јудеја стана Божјо светилиште, Израилот област Негова.
3. Морето виде и избега; Јордан се врати назад.
4. Горите се разиграа како овни, и ритчињата - како јаганца.
5. Што ти стана тебе море, па бегаш, и тебе, Јордане, па назад се вракаш?
6. Зашто се разигравте, гори, како овни, и вие, ритчиња, како јаганца?
7. Трепери земјата пред лицето на Господа, пред лицето на Бога Јаковов,
8. Кој камен претвора во водно езеро и карпа - во воден извор.

Псалм 115

1. Не нам, Господи, не нам, туку на Своето име дај му слава, заради Твојата милост, заради Твојата вистина,
2. да не речат незнабожците: 'Па каде е нивниот Бог?'
3. Нашиот Бог е горе на небото; на небесата и на земјата врши се, што сака.
4. А идолите на незнабожците се сребро и злато, дело на човечки раце:
5. уста имаат а не зборуваат, очи имаат но не гледаат;
6. имаат уши, но не слушаат; имаат ноздри, но не мирисаат;
7. раце имаат, но не пипаат; нозе имаат, но не одат; тие не пуштаат глас од грлото свое.
8. Слични на нив нека бидат оние што ги прават, такви и оние што се надеваат на нив.
9. Доме Израилев, надевај се на Господа; Он е наш помошник и заштитник.
10. Доме Аронов, надевај се на Господа; Он е наш помошник и заштитник.
11. Оние кои се бојат од Господа, се надеваат на Господа; он е нивни помошник и заштитник.
12. Господ се секава на нас и не благословил, го благословил домот Израилев, го благословил домот Аронов,
13. ги благословил оние, кои се бојат од Господа, мали и големи.
14. Нека ви придаде Господ вам повеке, вам и на вашите деца.
15. Благословени да сте од Господа, Кој го создаде небото и земјата.
16. Небото е Господово небо, а земјата Он им ја даде на синовите човечки.
17. Не мртвите ке Те слават, Господи, ниту оние, што слегуваат во ад,
18. туку ние живите ке го благословуваме Господа отсега и засекогаш.

Псалм 116

1. Се радувам, дека Господ ке го услиши гласот на моето молење,
2. зашто го приклони кон мене Своето уво, и затоа ке Го призивам преку сите мои дни.
3. Смртни болки ме обзедоа, пеколни маки ме стигнаа; се најдов во невоља и мака.
4. Тогаш го повикав името Господово: О, Господи, избави ја душата моја!
5. Милостив е Господ и праведен, и милосрден е нашиот Бог.
6. Господ ги пази слабите: бев во мака и Он ми помогна.
7. Врати се, душо моја, во својот мир, зашто Господ добро ти прави,
8. бидејки душата моај ја истргна од смрт, очите мои - од солзи, и нозете мои - од сопнување.
9. Ке одам со благодарност пред лицето на Господа во земјата на живите.
10. Поверував и затоа реков: во голема мака сум.
11. Во мојата необмисленост си реков: секој човек е лажливец.
12. Што да му дадам на Господа за сите негови добрини што ми ги направи мене?
13. Ке земам чаша на спасение и името на Господа ке го призовам.
14. Заветите ке Му ги упатам на Господа пред целиот Негов народ.
15. Скапа е во очите на Господа смртта на неговите светии.
16. О, Господи, јас сум слуга Твој, јас сум слуга Твој и син на Твојата слугинка. Ти ги скрши моите окови.
17. Тебе ке ти принесам благодарствена жртва;
18. ке ги исполнам заветите мои на Господа пред сиот Негов народ.
19. Во предворјето на домот Господов, посреде тебе, Ерусалиме!

Псалм 117

1. Фалете Го Господа, сите народи, прославувајте Го, сите лу е,
2. зашто се зацврсти Неговата голема милост на нас, и вистината Господова пребива вечно.

Псалм 118

1. Славете го Господа, зашто Он е добар, зашто милоста Негова е вечна.
2. Нека каже сега домот Израилев дека е Он добар, дека милоста Негова е вечна.
3. Нека рече сега домот Аронов: дека е Он добар, дека милоста Негова е вечна.
4. Нека кажат сега сите, кои се бојат од Господа: дека е Он добар, дека милоста Негова е вечна.
5. Кога бев на мака, Го призвав Господа и ме услиши и на ширина ме изведе.
6. Господ е мој помошник, нема да се уплашам: што може да направи човек?
7. Господ ми е помошник: и јас слободно ке гледам на непријателите мои.
8. Подобро е да се надевам на Господа, отколку да се надевам на човек.
9. Подобро е да се надевама на Господа, отколку да се надеваме на кнезовите.
10. Сите народи ме опколија, но со името Господово јас ги разбив;
11. ме опседнаа, ме обиколија, но со името Господово јас ги победив.
12. Ме опкружија како пчели околу сотка, па се запалија како оган во трње: со името Господово јас им се противставив.
13. Ме турнаа силно, за да паднам, но Господ ме прифати.
14. Господ е крепост моја и песна; Он стана мое спасение.
15. Глас на радост и на спасение се слуша во домовите на праведните; десницата на Господа дава сила!
16. Десницата Господова ме возвишува, десницата Господова дава сила.
17. Нема да умрам, но ке живеам и ке ги разгласувам делата Господови.
18. Господ строго ме казни, но на смрт не ме предаде.
19. Отворете ми ја вратата на правдата: ке влезам во неа, ке го прославувам Господа.
20. Ете, тоа е вратата Господова, праведните влегуваат низ неа;
21. ке Те славам, зашто ме услиши и стана спасение мое.
22. Каменот, што го отфрлија ѕидарите, стана глава на аголот.
23. тоа е од Господа, и е прекрасно во очите наши.
24. Овој ден е што го создаде Господ за да се зарадуваме и да се развеселиме во него.
25. О, Господи, спаси! О, Господ, побрзај!
26. Нека е благословен оној, кој оди во името на Господа! Ве благословуваме од домот Господов.
27. Бог е Господ и ни се јави; образувајте празнична придружба до роговите на жртвеникот.
28. Бог мој си Ти и Тебе ке те славам; Бог мој си Ти и Тебе ке те превознесувам. Ke те прославувам, зашто Ти ме услиши и стана мое спасение.
29. Славете го Господа, зашто Он е добар, зашто милоста му е вечна.

Псалм 119

1. Блажени се непорочните во патот нивни, зашто одат според законот Господов.
2. Блажени се оние кои ги пазат сведоштвата Негови и од се срце Го бараат.
3. Оние кои не вршат беззаконие, тие одат по Неговите патишта.
4. Ти заповеда да се пазат Твоите заповеди.
5. О, да се беа управиле моите патишта за да ги чувам Тавоите заповеди!
6. Тогаш немаше да се засрамам, гледајки ги сите Твоие заповеди.
7. Ќе Те славам Господи со чисто срце, кога ке ги научам Твоите праведни судови.
8. Ќе ги пазам Твоите заповеди; не оставај ме сосема.
9. Како младичот ке го запази во чистота патот свој? - Ако ги пази зборовите Твои.
10. Со сето срце мое Те побарав, не отстранувај ме од Твоите заповеди.
11. Ги сокрив во срцето свое заповедите Твои, за да не грешам пред Тебе.
12. Благословен си Ти, Господи! Научи ме на Твоите наредби.
13. Со устата своја ги разгласив сите судови од устата Твоја.
14. По патот на Твоите сведоштва се насладувам како во секое богатство.
15. Ќе размислам за Твоите заповеди и ке го разберам патот Твој.
16. Од наредбите Твои ке се поучувам, нема да ги заборавам Твоите зброви.
17. Покажи милост кон Твојот слуга, и ке живеам и ке ги пазам Твоите зборови.
18. Отвори ги очите мои, и ке ги разберам чудесата од Твојот закон.
19. Придојден сум на земјава, не сокривај ги од мене Твоите заповеди.
20. И копнее душата моја во секое време да ги сака Твоите судови.
21. Им се закани на горделивите; проклети да се оние, кои се отконуваат од Твоите заповеди.
22. Отстрани го од мене прекорот и презирот, зашто ги засакав Твоите сведоштва.
23. Кнезовите седат и ме клеветаат, и Твојот слуга размислува за Твоите наредби.
24. Сведоштвата, пак, Твои се поука моја, а наредбите Твои - советници.
25. Душата моја лежи во прав: оживи ме според зборот Твој.
26. Патиштата мои ги кажав, и Ти ме чу; научи ме на Твоите наредби.
27. Вразуми ме да го разберам патот на Твоите наредби и јас ке размилувам за Твоите чудеса.
28. Душата моја засолзи од тага, зацврсти ме со зборовите Твои.
29. Отстрани го од мене патот на неправдата и помилуј ме со законот Твој.
30. Го избрав патот на вистината, и не ги заборавив Твоите судови.
31. Се приврзав за сведоштвата Твои, Господи: не ме посрамувај.
32. Ќе побрзам по патот на Твоите заповеди, кога ке го рашириш срцето мое.
33. Покажи ми го, Господи, патот на Твоите наредби и ке се придржувам за нив до крај.
34. Вразуми ме, и ке се држам за законот Твој и ке го пазам со сето срце свое.
35. Постави ме на патеката на Твоите заповеди, зашто многу ја засакав.
36. Приклони го срцето мое кон Твоите сведоштва, а не кон лакомства.
37. Сврти ги очите мои за да не гледам суета: оживи ме на Својот пат.
38. Во слугата Свој внеси збор Свој за да се бои од Тебе.
39. Отстрани го од мене прекорот, од кој се плашам, зашто Твоите судови се благи.
40. Ете, ги засакав Твоите заповеди: Оживи ме според Својата правда.
41. И нека милоста Твоја, Господи, пријде на мене, и спасение од Тебе според зборовите Твои, -
42. и јас ке им одговорам на оние што ме навредуваат, зашто се надевам на зборовите Твои.
43. Не одземај го сосема од устата моја словото на вистината, зашто јас се надевам на Твоите судови.
44. И ке го чувам Твојот закон засекогаш и во веки веков.
45. Ќе одам слободно, зашто ги барам Твоите заповеди.
46. И ке зборувам за сведоштвата Твои пред царевите, и нема да се посрамам;
47. и ке се поучувам на Твоите заповеди, кои многу ги засакав;
48. ке ги протегнам рацете свои кон Твоите заповеди, кои ги возљубив, и ке размислувам за

Твоите наредби.
49. Внуши слово кон Твојот слуга, со кое си му дал надеж.
50. Таа ме утешува во невољата моја, оти Твоето слово ме оживува.
51. Горделивите го престапија законот многу, но јас не се остртранив од Твоите закони.
52. Се сетив за Твоите вечни судови, Господи, и се утешував.
53. Тага ме обзема од грешниците што го напуштаат Твојот закон.
54. Наредбите Твои ми беа песна кога патувам во некое место.
55. Ноке го споменувам името Твое, Господи, и го пазам законот Твој.
56. Он стана мој, зашто ги пазам Твоите заповеди.
57. Дел мој си Ти, Господи, - си реков - ке го пазам законот Твој.
58. Му се помолив на лицето Твое од се срце: помилуј ме, според словото Твое.
59. Размислувам за Твоите патишта и ги свртувам нозете мои кон Твоите сведоштва.
60. Се подготвив и не се збунив да ги запазам Твоите заповеди.
61. Замки од грешници ме опкружија, но јас не го заборавив Твојот закон.
62. На полнок станував да те величам поради Твоите праведни судови.
63. Јас сум ме у оние, што се бојат од Тебе и кои ги пазат Твоте наредби.
64. Со Твојата милост, Господи, земјата е полна; научи ме на Твоите наредби.
65. Добрини си му направил, Господи, на Твојот слуга според Твоето слово.
66. Научи ме на добро и на разумно, зашто верувам на Твоите наредби.
67. Пред моето страдање јас прегрешив; а сега го пазам Твојот збор.
68. Ти си добар, Господи, и поради добрината Твоја научи ме на Твоите наредби.
69. Се зголеми неправдата од гордите врз мене, но јас од се срце ке ги пазам Твоите заповеди.
70. Се засири срцето мое како млеко; но јас се утешувам со Твојот закон.
71. Добро ми е што ме смири, за да се научам на Твоите наредби.
72. Законот на Твојата уста за мене е подобар отколку иљадници злато и сребро.
73. Твоите раце ме создадоа и изградија: вразуми ме, и ке се научам на Твоите заповеди.
74. Оние, кои се бојат од Тебе, кога ке ме видат ке се зарадуваат, затоа што се надевав на Твоите зборови.
75. Знам, Господи, дека Твоите судиви се праведни, и според справедливоста Твоја Ти ме казни.
76. Па нека ми биде милоста Твоја утеха, според Твоето слово кон Твојот слуга.
77. Нека пријде на мене Твојата штедрост, и јас ке живеам, зашто законот Твој е утеха моја.
78. Нека се посрамат горделивите, зашто неправедно и без вина ме обвинуваат.
79. Нека се обрнат кон мене, они што се плашат од Тебе и кои ги знаат Твоите сведоштва.
80. Нека биде срцето мое непорочно во Твоите наредби, та да не се посрамам.
81. Копнее душата моја за Твоето спасение; јас се надевав на Твоите зборови.
82. Очите мои попуштија од желба за Твоето слово велејки: кога ке ме утешиш?
83. Зашто станав како мев на мраз, но Твоите наредби не ги заборавив.
84. Колку се дните на Твојот слуга? Кога ке извршиш суд над моите гонители?
85. Законопрестапниците се подигруваат со мене спротивно на Твојот закон.
86. Сите Твои заповеди се вистина. Неправедно ме гонат: помогни ми!
87. За малку ке ме убиеја на земјата, но јас не ги оставив Твоите заповеди.
88. Споерд Твојата милост оживи ме, и јас ке ги пазам сведоштвата од Твојата уста.
89. Твоето слово, Господи, е засекогаш утврдено на небото;
90. Твојата вистина е од род во род. Ти си ја поставил земјата, и таа стои.
91. Според Твоја воља постои денот. Се што постои, Тебе ти служи.
92. Да не беше Твојот закон утеха за мене, јас ке загинев во невољата своја.
93. Никогаш нема да ги заборавам Твоите наредби, зашто преку нив ме оживуваш.
94. Твој сум јас, спаси ме, зашто ги барав Твоите наредби.
95. Грешниците настојуваа да ме убијат, но јас ги разбрав сведоштвата Твои.
96. Го видов крајот на секое совршенство, но Твоите заповеди се безгранични.

97. Колку го засакав, Господи, Твојот закон; секој ден се поучувам од него.
98. Со својата заповед Ти ме направи помудар од непријателите мои, зашто таа е секогаш со мене.
99. Станав поразумен од сите учители мои, зашто сведоштвата Твои се моја поука.
100. Поумен станав од старците, зашто ги сакам Твоите заповеди.
11. Ги задржувам нозете свои од секаков лош пат, за да го пазам словото Твое.
12. Од твоите судови нема да се откажам, зашто Ти ме учиш.
13. Колку се слатки за глото мое зборовите Твои, послатки се од мед во устата моја.
14. Преку твоите заповеди станав разумен; затоа го замразив секој пат на неправда.
15. Твоето слово е светилник на нозете мои и светлина за патеката моја.
16. Се заколнав и реков да ги пазам Твоите праведни судови, и ке ги исполнувам.
17. Многу сум нажален, оживи ме, Господи, поради Твоето слово.
18. Затоа, благослови, Господи, да примиш доброволна жртва од мојата уста, и научи ме на Твоите судови.
19. Душата ми е постјано во Твојата рака, но Твојот закон не го заборавив.
110. Грешниците ми поставија замка, но јас не се отстранив од Твоите заповеди.
111. Твоите сведоштва ги примив како вечно наследство, зашто тие се голема радост за срцето мое.
112. Го натерав срцето свое да ги извршува наредбите Твои како вечно оправдание.
113. Престапниците на законот ги замразив, но Твојот закон го сакам.
114. Ти си мој помошник и мој заштитник: на Твојата слава се надевам.
115. Иставете се од мене беззаконици, за да ги испитам заповедите на мојот Бог.
116. Застапи се според Твоето слово, и јас ке живеам; не посрамувај ме во надежта моја;
117. помогни ми, и ке се спасам: и во Твоите наредби постојано ке се учам.
118. Ти ги презираш оние, кои отстапуваат од Твоите наредби, зашто нивните мисли се неправедни.
119. Сите грешници земни ги сметам како престапници, затоа засекогаш ги засакав Твоите сведоштва.
120. Од страв пред Тебе трепери телото мое, и од Твоите судови се плашам.
121. Јас вршев суд и правда; не предавај ме на оние што ми чинат неправда.
122. Прими го Твојот слуга за негово добро, та да не ме клеветат горделивите.
123. Очите ми копнеат, очекујки го спасението од Тебе, и словото на Твојата правда.
124. Постапи со Твојот слуга според милоста Своја и научи ме на Твоите наредби.
125. Слуга Твој сум јас: вразуми ме и ке ги познаам сведоштвата Твои.
126. Време е, Господи, да се дејствува: Твојот закон го разурнаа.
127. Затоа ги засакав заповедите Твои и од топаз и од злато повеке.
128. Затоа се управував според сите Твои заповеди и патот на неправдата го замразив.
129. Прекрасни се Твоите сведоштва: затоа душата моја ги испитуваше.
130. Објавувањето на Твоите зборови ги просветува и вразумува младите.
131. Ја отворив устата моја и воздивнав, зашто жеден сум за Твоите заповеди.
132. Погледај кон мене и помилуј ме, како што се постапува со оние, кои го сакаат Твоето име.
133. Утврди ги стапките мои според Твоето слово и не допушти со мене да овладее никакво беззаконие.
134. Избави ме од човечко клеветење и ке ги пазам Твоите заповеди,
135. озари го Твојот слуга со светлината на лицето Твое, и научи ме на Твоите заповеди.
136. Од очите мои потоци извори солзи, зашто не го запазив Твојот закон.
137. Праведен си Ти, Господи, и праведни се Твоите пресуди.
138. Твоите сведоштва, што си ги дал, се засновани на правда и вечна вистина.
139. Ревноста моја ме јаде, зашто непријателите мои ги заборавија Твоите слова.
140. Твоето слово е многу чисто, и Твојот слуга го сака.
141. Мал сум и презрен, но Твоите наредби не ги заборавив.

142. Твојата правда е вечна правда, и Твојот закон е вистина.
143. Скрб и мака ме обзедоа; Твоите заповеди се моја поука.
144. Правдата на Твоите сведоштва е вечна; вразуми ме, и ке живеам.
145. Те призивам со сето срце мое, услиши ме, Господи, - и ке ги пазам наредбите Твои.
146. Тебе Те повикувам: спаси ме, па ке ги пазам Твоите слова.
147. Ја испреварувам зората и викам: на Твоето слово се надевам.
148. Очите мои се отворија пред утринската стража, за да се поучам на Твоите слова.
149. Чуј го мојот глас, според милоста Своја, Господи; според Твојот суд оживи ме.
150. Се приближија оние, што сакаат беззаконие; од законот Твој тие се оддалечија.
151. Близок си Ти, Господи, и сите Твои заповеди се вистина.
152. Одамна знам за твоите сведоштва, кои си ги утврдил засекогаш.
153. Погледај на мојата потиштеност и избави ме, зашто не го заборавив Твојот закон.
154. Пресуди според мојата правда и заштити ме; заради словото Твое оживи ме.
155. Далеку е спасението од грешниците, зашто тие не ги побараа Твоите наредби.
156. Голема е Твојата милост, Господи, според Твојот суд оживи ме.
157. Многумина ме гонеа и мачеа, но од Твоите сведоштва јас не отстапив.
158. Видов неразумни и тешко ми беше, зашто словата Твои не ги запазија.
159. Гледаш како ги засакав заповедите Твои, оживи ме, Господи, поради Твојата милост.
160. Вистината е основа на Твоите слова; и вечен е секој суд на Твојата праведност.
161. Кнезовите ме гонеа без вина, но срцето мое се уплаши само од Твоите зборови.
162. Се радувам на Твоето слово, како оној кој нашол големо благо.
163. Ја замразив неправдата и се гнасам од неа; а Твојот закон го засакав.
164. Седумпати на ден Те прославувам за судовите на Твојата правда.
165. Голем е мирот кај оние, кои го сакаат Твојот закон, и за нив нема соблазна.
166. Го чекав спасението од Тебе, Господи, и Твоите заповеди ги засакав.
167. Душата моја ги пази Твоите сведоштва, и јас многу ги засакав.
168. Ги пазам Твоите заповеди и Твоите сведоштва, зашто сите мои патишта се пред Тебе, Господи.
169. нека се приближи пред Тебе молбата моја, Господи; вразуми ме според Твоите зборови.
170. Нека барањето мое дојде пред Тебе; избави ме според Твоето слово.
171. Од устата моја нека се произнесе похвала, кога ке ме научиш на Твоите наредби.
172. Јазикот мој нека ги разгласи Твоите зборови, зашто сите Твои заповеди се праведни.
173. Нека ми биде Твојата рака на спасение, зашто Твоите заповеди ги избрав.
174. Копнеев, Господи, за спасение од Тебе и Твојот закон е мојата поука.
175. Ќе живее душата моја и ке Те слави; и Твоите судови нека ми помогнат.
176. Се заблудив како загубена овца: побарај го Твојот слуга, зашто не ги заборавив Твоите заповеди.

Псалм 120

1. Кон Господа повикав во маката своја, и Он ме услиши.
2. Господи, избави ја душата моја од неправедна уста и од јазик лукав.
3. Што ке Ти даде Тебе и што ке Ти придаде лукавиот јазик?
4. Изострени стрели на силник, разгорени со пустински јаглен.
5. Тешко мене, бидејки привремениот престој ми се продолжи, се вселив во шаторите кидарски.
6. Долго живееше душата моја со оние што го мразат мирот.
7. Јас бев мироЉубив: но кога им зборував, тие војуваа против мене без причина.

Псалм 121

1. Ги кренав очите кон горите; од каде помош ке ми пристигне?
2. Мојата помош е од Господа, Кој ги создаде небото и земјата.
3. Он нема да дозволи да се помести ногата твоја; нема да задреме Оној, Кој те пази;
4. не дреме и не спие Оној, Кој го пази Израилот.
5. Господ е Твој чувар; Господ е твоја закрила од кај твојата десна рака.
6. Сонцето дење нема да те гори, ниту месечината ноке ке ти штети.
7. Гопсод ке те запази од секакво зло и ке ја чува душата твоја.
8. Господ ке го пази излегувањето твое и влегувањето твое отсега и довека.

Псалм 122

1. Се зарадував кога ми рекоа: 'Ќе одиме во домот Господов.'
2. Ете, нозете наши стоеја во твоите дворови, Ерусалиме, -
3. Ерусалим, кој е изграден како град, излиен во една целина,
4. Таму се искачуваа племињата, Господовите племиња, сведоштвото Израилево, за да се исповеда името Господово.
5. Зашто таму се поставија престолите судиски, престолите на домот Давидов.
6. Барајте мир за Ерусалим и нека им биде добдро на оние, кои те сакаат!
7. Нека има мир околу ѕидовите твои и изобилие во кулите твои.
8. Поради браката мои и блиските мои зборував за мир во тебе!
9. Заради домот на Господа, нашиот Бог, ти пожелувам добро.

Псалм 123

1. Ги кревам очите мои кон Тебе, Кој живееш на небесата.
2. Ете, како што се очите на слугите свртени кон рацете на господарите нивни, како очите на слугинката - кон раката на господарката нејзина, така и нашите очи гледаат кон Господа, нашиот Бог, се додека не се смилува.
3. Смилуј се на нас, Господи, смилуј се, зашто многу сме понизени со презир;
4. зашто се преполни душата наша од навреди на силните и од понижување на горделивите.

Псалм 124

1. Да не беше Господ со нас, - нека каже Израилот, -
2. да не беше Господ со нас, кога лу ето се кренаа против нас, -
3. живи ке не проголтаа, кога пламна нивната јарост против нас;
4. вода ке не потопеше, поток ке го однесеше животот наш;
5. бурна вода ке ја однесеше нашата душа.
6. Нека е благословен Господ, Кој не не пradade во плен на нивните заби.
7. Душата наша се избави како птица од примка на ловци: примката се скина, а ние се избавивме.
8. Помошта наша е во името на Господа, Кој го создаде небото и земјата.

Псалм 125

1. Кои се надеваат во Господа, тие се како горoccupата Сион; кој живее во Ерусалим, нема да се поколеба, ќе живее вечно.
2. Околу Ерусалим има гори, а Господ е околу својот народ отсега и засекогаш.
3. Зашто Господ нема да го остави жезлото на грешниците врз земјата на праведните, за да не ги посегаат праведниците рацете свои кон беззаконие.
4. Гопсоди, направи им добро на добрите и на оние со чисто срце.
5. А оние што свртуваат кон крив пат, нив Господ ќе ги одведе со оние што вршат беззаконие. Мир на Израилот!

Псалм 126

1. Кога Господ ги врати сионските заробеници, ние бевме како утешени;
2. тогаш устата ни се исполни со радост, и јазикот наш - со весела песна; тогаш ме у незнабожците се говореше: 'Големи дела изврши Господ над нив!'
3. Гоеми дела изврши Господ на нас: ние се развеселивме.
4. Врати ги, Господи над нас: ние се развеселивме.
5. Оние што сеат со солзи, ке жнеат со голема радост.
6. Одеа и плачеа оние што носеа свое семе; но со радост ке се вратат, носејки ги своите снопја.

Псалм 127

1. Ако Господ не ја изѕида куката, залудо ке се трудат градителите нејзини; ако Господ не го запази градот, залудо ке бдее стражата.
2. Залудно вие станувате радо, доцна легнувате вие што го јадете лебот уморни; на оние кои Он ги сака ним им дава сон.
3. Ете, наследството Господово се синовите, дар од Него е породот.
4. Оне што се стрелите во раката на силниот, тоа се младите синови.
5. Блажен е оној човек, кому му е исполнет тегарчикот со нив! Тие нема да се засрамат, кога ке зборуваат со непријателите свои пред портите.

Псалм 128

1. Блажени се оние, кои се бојат од Господа, кои одат по Неговите патишта!
2. Ти ќе јадеш од плодовите на рацете свои: блазе тебе и добро ќе живееш.
3. Жената во домот твој ќе биде како лоза плодовита, синовите твои - како новонасадени малини околу трпезата твоја.
4. Ете, така ќе биде благословен оној човек кој се бои од Господа.
5. Господ ќе ги благослови од Сион; и ти ќе ги гледаш добрата ерусалимски во сите дни на твојот живот;
6. и ќе ги видиш синовите на синовите твои. Мир нека е на Израилот!

Псалм 129

1. Многумина се бореа против мене уште од младоста моја - нека каже Израилот.
2. многупати војуваа против мене од младоста моја, но не ме совладаа.
3. На плешките мои грешниците дејствуваа, продолжувајки со своето беззаконие.
4. Но Господ праведен ги расече јажињата на грешниците.
5. Нека се засрамат и нека свртат назад сите, кои го мразат Сион!
6. Нека бидат како тревата на покрив, која се исушува пред да биде истргната.
7. со која жетварот нема да ја исполни раката своја, ни прегратката своја оној што ја врзува во снопови.
8. А минувачите не рекоа: 'Благословение Господово на вас; ве благословуваме во името на Господа!'

Псалм 130

1. Од дното на душата повикав кон Тебе, Господи.
2. Господи, чуј го гласот мој. Ушите Твои нека го чујат гласот на молењето мое, -
3. Господи, ако гледаш на беззаконијата, - тогаш кој ке се одржи, Господи?
4. Но во Тебе има простување.
5. Заради името Твое, Господи, чекав долго на Тебе, чекаше душата моја на Твојот збор;
6. душата моја се надеваше на Господа: Од утрената стража па до нокната, од утрената стража нека се надева Израилот на Господа.
7. Зашто милоста е во Господа и голем е откупот во Него.
8. И Он ке го избави Израилот од сите негови беззаконија.

Псалм 131

1. Господи, срцето мое не се вознесуваше, ниту очите мои се креваа високо; не копнеев по
големи работи ниту по она што е над моите сили.
2. Но се смирував во мислите свои и ја воздигав душата моја како дете кон мајката своја; така
возврати и на душата моја.
3. Нека се надева Израилот на Господа отсега и довека.

Псалм 132

1. Сети се, Господи, на Давида и на сета негова смиреност,
2. како што се заколна пред Господа, и Му вети на Јакововиот Бог:
3. 'Нема да влезам под шаторот на домот свој, и нема да легнам на леглото мое;
4. нема да им дадам сон на очите мои, ни дремка на ве ите мои, ниту одмор на слепоочниците мои,
5. додека не најдам место за Господа, дом за Јакововиот Бог.'
6. Ете, ние чувме дека е во Ефрат, го најдовме во дубравите;
7. да влеземе во неговиот дом, да се поклониме пред местата каде што стојат нозете негови.
8. Стани, Господи, дојди во местото каде што е Твојата почивка, Ти и светиот ковчег Твој.
9. Твоите свештеници нека се облечат во правда; Твоите светии нека се зарадуваат.
10. Поради Давида, Твојот слуга, не одвракај го лицето Свое од Твојот помазаник.
11. Му се заколна Господ на Давида во вистината, и од неа нема да се откаже: 'Од плодот на твојата утроба ке поставам на престолот твој.
12. Ако твоите синови го пазат Мојот завет и моите сведоштва, на кои ке ги научам, тогаш и синовите нивни ке седат на твојот престол.'
13. Затоа Господ го избра Сион, Му омиле да живее во него.
14. 'Тоа е моето одмориште засекогаш: тука ке се населам, бидејки многу го засакав.
15. Ќе го благословувам и преблагословувам трудот негов сиромасите негови со леб ке ги наситувам;
16. свештениците негови ке ги облечам во спасение, и светиите негови радосно ке воскликнуваат.
17. Таму ке кренам рог за Давида, му подготвив светилник на Мојот помазаник.
18. Непријателите негови ке ги облечам во срам, а на него ке процути светоста Моја.'

Псалм 133

1. Колку е убави и колку е мило кога браката живеат заедно!
2. Тоа е како миро врз главата што се лее по брадата, брадата Аронова, што се лее по полите од одеждата негова;
3. како роса ермонска, која па а на горите Сионски, зашто Господ дал благослов и живот вечен.

Псалм 134

1. Благословувајте Го сега Господа, сите слуги Господови, што стоите ноке во домот Господов, во дворовите од домот на нашиот Бог.
2. Кренете ги рацете ваши ноке кон светилиштето и благословувајте Го Господа!
3. Нека те благослови Господ од Сион, Создателот на небото и земјата.

Псалм 135

1. Фалете го името Господово, фалете го, слуги Господови,
2. вие кои стоите во домот Господов, во дворовите од домот на нашиот Бог.
3. Фалете Го Господа, зашто Господ е добар; пејте му на името Негово, зашто тое е мило;
4. зашто Господ го избра Јакова, Израилот, за свое наследство.
5. Бидејки познав, дека Господ е велик, и дека нашиот Господ е над сите богови:
6. се што посака Господ, создаде на небото и на земјата, во морињата и во сите бездни.
7. доведувајки облаци од краиштата на земјата, молњи при дожд создаде, Он, Кој ги изведува ветровите од скровиштата нивни,
8. Оној, Кој ги порази провородените во Египет од човек до добиток,
9. покажа знаци и чудеса среде тебе, Египте, на Фараонот и врз сите слуги негови,
10. порази многу народи и истреби силни цареви:
11. Сион, царот аморејски, и Ог, царот васански, и сите цареви ханански;
12. и му ја даде нивната земја во наследство на Својот народ, Израилот.
13. Господи, името Твое е вечно; Господи, споменот за Тебе е од род во род.
14. Зашто Господ ке му суди на Својот народ и ке биде милостив над слугите Свои.
15. Идолите на незнабожците се сребро и злато, дело на раце човечки;
16. имаат уста, но не говорат; имаат очи, но не гледаат;
17. имаат уши, но не слушаат, ниту, пак, во устата нивна има здив.
18. Слични на нив нека бидат и оние, кои ги прават, и секој кој на нив се надева.
19. Доме Израилев, благословувај Го Господа. Доме Аронов, благословувај Го Господа!
20. Доме Левиев, благословувај Го Господа! И вие, кои се боите од Господа, благословувајте Го Господа!
21. Нека е благословен Господ од Сион, Кој живее во Ерусалим!

Псалм 136

1. Славете Го Господа, зашто е добар, зашто е вечна милоста Негова.
2. Славете Го Бога на боговите, зашто е вечна милоста Негова.
3. Славете Го Господа над господарите, зашто е вечна милоста Негова,
4. Единиот Кој прави големи чудеса, зашто е вечна милоста Негова;
5. Кој премудро го создаде небото, зашто е вечна милоста Негова;
6. Кој ја утврди земјата врз водите, зашто е вечна милоста Негова;
7. Единиот Кој ги создаде големите светила, зашто е вечна милоста негова;
8. сонцето - да управува со денот, зашто е вечна милоста Негова;
9. месечината и ѕвездите - да управуваат со нокта, зашто е вечна милоста Негова.
10. Кој го порази Египет и проворodените негови, зашто е вечна милоста Негова;
11. Кој го изведе Израилот од средината нивна, зашто е вечна милоста Негова;
12. со цврста рака и подигната мишка, зашто е вечна милоста Негова;
13. Кој го раздвои Црвеното Море, зашто е вечна милоста Негова;
14. и го преведе Израилот среде него, зашто е вечна милоста Негова;
15. а Фараонот и војската негова ги фрли во Црвеното Море, зашто е вечна милоста Негова.
16. Кој го преведе својот народ преку пустињата, зашто е вечна милоста Негова; Кој пушти вода од шилчеста крапа, зашто е вечна милоста Негова;
17. Кој ги порази големите цареви, зашто е вечна милоста Негова;
18. и ги погуби силните цаерви, зашто е вечна милоста Негова;
19. Сион, царот аморејски, зашто е вечна милоста Негова;
20. и Ог, царот васански, зашто е вечна милоста Негова;
21. и му ја даде земјата во наследство, зашто е вечна милоста Негова.
22. во наследство на Својот слуга, Израилот, зашто е вечна милоста Негова;
23. Кој се секава на нас во нашата смиреност, зашто е вечна милоста Негова;
24. и не избавува од непријателите наши, зашто е вечна милоста Негова;
25. и Кој дава храна на секое тело, зашто е вечна милоста Негова.
26. Славете Го небесниот Бог, зашто е вечна милоста Негова. Хвалете Го Господарот на господарите, зашто е вечна милоста Негова.

Псалм 137

1. Крај реките вавилонски - таму седевме и плачевме, кога ке се сетевме на Сион;
2. на врбите, среде Вавилон, ги закачивме нашите харфи.
3. Зашто таму, оние што не заробија и кои не одведоа, побараа од нас радосна песна, велејки ни: 'Пејте ни од песните сионски!'
4. Како да зепееме Господова песна на ту а земја?
5. Ако Те заборавам тебе, Ерусалиме, - нека ме заборави мојата десница,
6. нека се залепи јазикот мој за непцето мое, ако не те помнам, ако не го поставам Ерусалим над секоја моја радост.
7. Сети се, Господи, на синовите Едомови, во денот на Ерусалим, кога тие говореа: 'Разрушете, разрушете го до темелите негови!'
8. Керко вавилонска, опустошителко, блажен е оној, што ке ти врати за делото што ни го направи!
9. Блажен е ониј што ке ги заграби и ке ги разбие од камен децата твои.

Псалм 138

1. Ќе Те славам Тебе, Господи, со сето срце свои и ќе Ти пеам пред ангелите Твои, затоа што ги услиша сите зборови на устата моја.
2. Се поклонувам пред светиот Твој храм и го славам името Твое за милоста Твоја и за вистината Твоја, зашто го возвеличи името Свое свето над се.
3. Во оној ден кога ќе Те призивам, услиши ме брзо, внеси бодрост во душата моја.
4. Ќе Те прославуваат, Господи, сите земни цареви, штом ќе ги чујат зборовите од Твојата уста,
5. и ќе воспеваат за патиштата Господови, зашто е голема славата Господова.
6. Зашто возвишен е Господ: и смирениот го гледа, а горделивиот оддалеку го познава.
7. Кога ќе се најдам во тага - Ти живот ми даваш, ја пружаш раката врз јароста на моите непријатели и Твојата десница ме спасува.
8. Господ ќе направи што е добро за мене! Твојата милост, Господи, е вечна; делата на рацете Свои не презирај ги!

Псалм 139

1. Господи, Ти си ме испитал и ме знаеш.
2. Ти знаеш кога седнувам и кога станувам; Ти оддалку ги разбираш мислите мои.
3. Патеката моја и јажето мое - Ти си ги испитал; сите патишта мои си ги предвидел.
4. Уште зборови не ми дошле до јазикот мој, Ти, Господи, веке ги знаеш:
5. Се што ми било и се што ке биде. Зашто Ти си ме создал и си ја положил раката Своја врз мене.
6. Се восхитувам на Твоето знаење, - тое е превисоко, не можам да му пријдам!
7. каде да одам од Твојот дух, и од лицето Твое каде да побегнам?
8. Ако излезам на небото - Ти си таму; ке слезам ли во пеколот, Ти си и тука.
9. Ако ги земам криљата рано в зори и се преселам на крајот од морето, -
10. и таму ке ме води Твојата рака, Твојата десница ке ме држи.
11. Па си реков: можеби темнина ке ме покрие, но и нокта е како светлина околу мене;
12. но и темнината нема да биде темнина за Тебе; и нокта за Тебе е светла како ден и темнината како светлина.
13. Зашто Ти си ја создал мојата внатрешниот и ме прифати од мајчината ми утроба.
14. Те прославувам затоа што сум чудесно создаден. Прекрасни се Твоите дела; душата моја тоа добро го сознава.
15. Ниедна моја коска не се сокри од Тебе, што си ја создал тајно, и природата моја во длабините на земјата.
16. Твоите очи го видоа зародишот мој и во Книгата Твоја се е запишано за мене, дури и деновите мои се забележани кога уште не постоеше ниеден.
17. Твоите пријатели во голема се чест, Боже, и нивните владенија добро се зацврстени.
18. Ke ги пребројам - но тие се побројни и од песокта; се разбудив и се уште сум со Тебе.
19. Кога би сакал да ги убиеш, Боже, грешниците; иставете се од мене, крвопијци!
20. Ревниви се во помислите свои, суетно се креваат Твоите непријатели.
21. Зар не ги замразив оние. Господи, кои Тебе те мразат, и зар не се изедов поради непријателите Твои?
22. Со полна омраза ги замразив; тие ми станаа непријатели.
23. Испитај ме, Боже, и познај го срцето мое; испитај ме и запознај ги патеките мои;
24. и види дали сум на пат на беззаконија, и упати ме на вечен пат.

Псалм 140

1. Спаси ме, Господи, од лукав човек и избави ме од неправеден човек;
2. тие смислија зло врз срцето свое, секој ден се подготвуваат за борба;
3. ги изостриja јазиците свои како змија; под устите им е аспидин отров.
4. Запази, ме, Господи, од рацете на грешник. Избави ме од лу е неправедни, кои смислија да ми подметнат нога.
5. Горделивите тајно поставија стапица, и распнаа примки од јажиња за мене; на патот ми поставија соблазна.
6. Јас Му реков на Господа: Ти си Бог мој: услиши го, Господи, гласот на моето молење.
7. Господи, Господи, сило на моето спасение! Ти, Кој во денот на битката ја засолни главата моја,
8. не предавај ме, Господи, на грешникот против мојата желба; не давај да постигнат, што намислија за да не се возгордеат.
9. Главата своја да не ја подигнат оние што ме опколија, нека падне врз нив злобата на нивната сопствена уста.
10. Нека паднат врз нив жарени јаглења; да бидат фрлиени во оган, па од маките да не станат.
11. Човек иноверец нема да се одржe на земјава; злото ке го одвлече неправедниот човек во погибел.
12. Разбрав дека Господ ке покаже правда за угнетените и милост за сиромасите.
13. Да, праведниците ке ги исповедаат името Твое, и непорочните ке се населат пред лицето Твое.

Псалм 141

1. Господи, кон Тебе повикав: услиши ме, чуј го гласот на молењето мое, кога повикувам кон Тебе!
2. Нека се исправи пред Тебе молитвата моја како темјан, а воздигањето на рацете мои - како жртва вечерна.
3. Постави, Господи, стража пред устата моја и врата на усните мои;
4. не давај да застрани срцето мое кон зборовите лукави, да врши грешни дела заедно со лу ето, кои вршат беззаконија; јас нема да се здружам со нивните избраници.
5. Праведникот нека ме казнува - тоа е милост; нека ме изобличува, не не давај елеј на грешник да ја помаже главата моја; зашто и молитвата моја се противи на нивната злоба.
6. Судиите нивни, кога ке се распрснат по стрмни камења, ке се чујат зборовите мои, зашто се пријатни.
7. Како кога грутка земја ке падне се растура, така се растурија коските наши во пеколот.
8. Но кон Тебе, Господи, Господи, се управени очите мои; на Тебе се надевам, не одземај ја душата моја!
9. Запази ме од стапиците што ми ги поставија, и од соблазната на оние што вршат беззаконија.
10. Грешиците нека паднат во своите мрежи, само јас ке поминам.

Псалм 142

1. Со гласот свој повикав кон Господа, со гласот свој Му се помолив на Господа.
2. Ќе го излијам пред Него молењето мое: маката моја пред Него ќе ја кажам.
3. Кога изнемоштуваше духот мој, Ти ја знаеше мојата патека, на патот, по кој одев, тие скришно примки ми поставија.
4. Се обѕирав надесно и гледав, а таму никој кој ме познаваше: немаше каде да избегам; никој не се грижеше за душата моја.
5. Повикав кон тебе, Господи, и реков: 'Ти си мојата надеж и мој дел во земјата на живите.
6. Прими ја молитвата моја, зашто се понизив многу; избави ме од моите гонители, оти тие се посилни од мене.
7. Изведи ја од темнина душата моја, за да го прославувам името Твое. Мене ќе ме чекаат праведните, додека не ме повратиш.'

Псалм 143

1. Господи, услиши ја молитвата моја, чуј го молењето мое поради Твојата вистина; услиши ме поради Твојата правда
2. и не стапувај во суд со Твојот слуга, зашто пред Тебе нема да се оправда ниту еден од живите.
3. Непријателот ја прогонува душата моја, го понизил животот мој дури до земјата, ме остави во темнина како оние кои се одамна умрени;
4. опадна духот мој во мене, се вознемири во мене срцето мое.
5. Се сетив на дамнешните дни и размислував за сите Твои дела, расудував за делата на Твоите раце.
6. Ги протегнав кон Тебе рацете мои, душата моја е жедна за Тебе како сува земја.
7. Улиши ме, поскоро, Господи: духот мој малакса; не одвракај го лицето Свое од мене, за да не заприлегам на оние, што слегуваат во гроб.
8. Соопшти ми ја утрената милост Твоја, зашто на Тебе се надевам, Господи. Покажи ми го, Господи, патот по кој да одам, зашто кон Тебе ја вознесувам душата своја.
9. Избави ме, Господи, од моите непријатели, зашто при Тебе прибегнав.
10. Научи ме да ја исполнувам вољата Твоја, зашто Ти си мојот Бог. Твојот благ дух нека ме води по прав пат.
11. Заради Твоето име, Господи, ке ме оживиш; поради Твојата правда - ке ја избавиш од невоља душата моја.
12. Според милоста Твоја истреби ги непријателите мои и погуби ги сите, кои ја измачуваат душата моја, зашто јас сум слуга Твој.

Псалм 144

1. Нека е благословен Господ, Бог мој, Кој ги учи рацете мои за борба и прстите мои за војна.
2. Он е милост моја и прибежиште мое, мој застапник и избавител мој - и јас на Него се надевам. Он ми го потчинува мојот народ мене.
3. Господи, што е човекот, па внимаваш на него, или син човечки - та да се секаваш на него.
4. Човекот е како здив; дните негови одминуваат како сенка.
5. Господи, приклони ги небесата Свои и слези; допри се до горите, и тие ке се здимат;
6. болсни со молњи и ке ги растераш, пушти ги стрелите Свои и ке ги збуниш;
7. подај ја раката Твоја од височини, изведи ме и избави ме од многуте води, од рацете на ту ински синови,
8. чии усти кажуваат суета и чија десница е десница на неправдата.
9. Боже, нова песна ке Ти испеам, ке Ти свирам на харфа со десет жици.
10. Ти им даруваш спасение на царевите, Ти го избави Твојот слуга Давида од остар меч.
11. Избави ме и отми ме од рацете на ту инските синови, чии усти лага говореа и чија десница е десница на неправдата.
12. синовите наши се како нови насади во младоста своја, нашите керки се накитени и украсени како столбови во храмот.
13. Полни се житниците наши, во изобилите со секаква храна; се плодат овците наши по пасиштата свои.
14. И воловите ни се угоени, па нема па ање не оградите, ни премин, ниту офкање по улиците наши.
15. Блажен е оној народ, велат лу ето, кој го има тоа! Блажен е оној народ, на кого Господ му е Бог!

Псалм 145

1. Ќе Те превеознесувам, Боже мој, Цару мој, и ќе го благословувам името Твое сега, секогаш и во сите векови.
2. Секој ден ќе Те благословувам и ќе го фалам името Твое сега, секогаш и во сите векови.
3. Велик е Господ и достоен за голема пофвала и величието Негово нема крај.
4. Од род во род ќе се фалат делата Твои и за силата Твоја ќе се прикажува.
5. За велелепната слава на Твојата светост ќе зборуваат и за Твоите чудеса ќе известуваат.
6. Ќе говорат и за силата на Твоите страшни дела, и ќе прикажуваат и за Твоето величие.
7. Ќе ги помнат многуте добрини Твои, и ќе се радуваат на Твојата правда.
8. Штедар и милостив е Господ, долготрпелив и многумилостив.
9. Добар е Господ спрема сите, и Неговите штедрости се во сите Негови дела.
10. Нека Те прославуваат, Господи, сите Твои дела, и нека Те благословуваат светиите Твои,
11. и нека ја проповедаат славата на Твоето царство, а да прикажуваат и за силата Твоја.
12. За да им се кажува на синовите човечки, за Твојата сила и за велелепната слава на Твоето царство.
13. Твоето царство е царство на сите векови, а владеењето Твое над сите поколенија; верен е Господ во сите Свои зборови и свет во сите Свои дела.
14. Господ ги придржува сите што па аат и ги подига наведнатите.
15. Очите на сите се управени кон Тебе, и Ти им ја даваш нивната храна навреме;
16. Ти ја отвори ракта Твоја и исполнуваш се што е живо со сите негови потреби.
17. Праведен е Господ во сите Свои патишта и свет во сите Свои дела.
18. Близу е Господ до сите, кои Го признаваат, до сите, кои вистински Го призиваат.
19. Он им ја исполнува желбата на оние, кои се бојат од Него, ги услишува молитвите нивни, и ги спасува.
20. Господ ги пази сите кои Го сакаат, а сите грешници ќе ги истреби.
21. Устата моја ќе искаже пофвала на Господа; секое тело нека го благословува името свето, сега, секогаш и во сите векови.

Псалм 146

1. Фали Го, душо моја, Господа!
2. Ќе Го фалам Господа додека сум жив; ќе Му пеам на мојот Бог додека постојам.
3. Не надевајте се на кнезовите и на синовите човечки, во нив нема спасение.
4. Излегува духот негов, и тој се враќа во земјата своја: во тој ден исчезнуваат сите негови помисли.
5. Блажен е ониј, кому му е помошник Јакововиот Бог и чија надеж е во Господа, неговиот Бог,
6. Кој го создаде небото и земјата, морето и се што е во нив, Кој вечно ја пази вистината,
7. Кој врши суд на навредени, им дава леб на гладни; Господ крши окови на затворени.
8. Господ им ги отвора очите на слепите, Господ ги исправа подгрбавените, Господ ги сака праведните.
9. Господ ги пази придојдените, ги поддржува сираците и вдовиците, а патот на грешниците го разурнува.
10. Господ ќе царува вечно; твојот Бог, Сионе, е од род в род.

Псалм 147

1. Хвалете Го Господа, зашто е добро да Му се пее на нашиот Бог, зашто на Добриот Му прилега похвала.
2. Господ го гради Ерусалим и ке ги собере расеаните синови на Израилот.
3. Он ги изцелува скрушените по срце и ги преврзува раните нивни.
4. Го определува бројот на ѕвездите и не сите им дава име.
5. Велик е Господ наш и голема е силата Негова, а мудроста Негова - неизмерлива е.
6. Господ ги прифака смирените, а грешниците ги понижува до земја.
7. Пејте Му секогаш славословија на Господа: на гусле пејте Му на Нашиот Бог,
8. Кој го покрива небото со облаци, подготвува дожд за земјата, прави да расте трева по горите и растенијата за полза на човекот,
9. на добитокот му ја дава храната негова и на малите врани кога гракаат.
10. На коњската сила не гледа Он, ниту Му е мила брзината на човечките нозе.
11. Господ ги почитува оние, кои се бојат од Него и кои се надеваат на Неговата милост.
12. Пофали Го, Ерусалиме, Господа; пофали Го, Сионе, твојот Бог.
13. Он ги зацврсти резињата на вратите твои, ги благословува твоите синови во Тебе;
14. го утврдува мирот во Твоите предели, со јадра пченица те заситува;
15. го испрака на земјата Својот благослов; Неговиот збор брзо оди;
16. дава снег како волна; сипува магла како пепел;
17. фрла град Свој како залаци; пред Неговиот мраз кој може да устои?
18. Ќе го испрати благословот, и се се растопува; ке дувне со ветрот Свој, и води потекуваат.
19. Он му го кажа благословот Свој на Јакова, Своите наредби и Своите судови на - Израилот.
20. на никот друг народ Он не му го направил тоа, и Своите судови ним не им ги јавил.

Псалм 148

1. Фалете Го Господа на небесата, фалете Го, на височините.
2. Фалете Го, сите ангели Негови, фалете Го, сите војски Негови.
3. Фалете Го, сонце и месечино, фалете Го сите ѕвезди и светила.
4. Фалете Го, небеса на небесата и води над небесата.
5. Нека го фалат името на Господа, зашто Он рече и тие се јавија, заповеда - и се создадоа;
6. ги постави за секогаш и за вечни времиња; даде наредби кои нема да се нарушат.
7. Фалете Го Господа од земјата, вие, сите али и бездни;
8. огнот и градот, снегот и мразот, и ти, бурен ветру, кој го исполнуваш словото Негово;
9. гори и сите возвишенија, плодородни дрвја и сите кедри,
10. ѕверови и сиот добиток, влекачи и птици крилати,
11. цареви земни и сите народи, кнезови и сите земни судии,
12. момчиња и девојки, старци со децата -
13. сите нека го фалат името на Господа; зашто е само Неговото име возвишено; Него Го фалат на небото и на земјата.
14. Он ке ја подигне силата на Својот народ; Он ги прославува сите Свои светии, синовите Израилеви, на народот, кој Му е близок.

Псалм 149

1. Запејте Му на Господа нова песна; пoхвала за Него да се чуе во храмот на светиите.
2. Нека се весели Израилот на Својот Создател; а синовите на Сион, нека се радуваат на својот Цар.
3. Нека го фалат името Негово во оро, со тимпани и со гусли нека Го слават,
4. зашто Господ го сака Својот народ и ке ги возвиши кроткитe, спасувајки ги.
5. Ке се развеселат светиите во слава, ке се зарадуваат врз леглата свои.
6. Славословија за Бога ке има во устите нивни и двоостер меч - во рацете нивни,
7. за да извршат одмазда над народите, за казна над племињата,
8. да ги врзат во верига царевите нивни и нивните властелини - со железни окови на рацете;
9. да го извршат над нив напишаниот суд. Тоа ке биде славата за сите Негови светии.

Псалм 150

1. Фалете Го Бог во Неговата светиња, фалете Го во цврстината на силата Негова;
2. Фалете Го поради Неговите сили, фалете Го поради многуте величија Негови.
3. Фалете Го со трубен збук, фалете Го со псалтир и гусли;
4. Фалете Го со тимпани и во оро, фалете го на струни и со свирка;
5. фалете Го со милозвучни кимвали, фалете Го со кимвали громогласни!
6. Се што дише - нека Го фали Господа! Алилуја.

# Пословици

Глава 1

1. Изреки Соломонови, син Давидов, цар израилски,
2. за да се познае мудроста и поуката, за да се разберат изреките на разумот;
3. за да се усвојат правилата на благоразумието, правосудието, судот и правината;
4. да им се даде на простите разумност, на младите - знаење и расудување.
5. Ако мудриот слуша, ке ги умножи знаењата свои, и разумниот ке најде мудри совети,
6. за да разбира мудра изрека и длабок збор, зборовите на мудреците и нивните гатанки.
7. Почеток на мудроста е стравот Господов; добро разбираат сите, што се раководат од него; а послушноста кон Бога е почеток на разбирањето; само глупавите ги презираат мурдоста и поуката.
8. Слушај ја, синко, поуката на татка си и не отфрлај заветот на мајка си.
9. зашто тоа е красен венец за главата твоја и украс за вратот твој.
10. Синко, ако те мамат грешници, не попуштај;
11. ако кажат: 'Дојди со нас, да направиме заседа за убиство, да го пречекаме непорочниот без вина,
12. жив да го голтнеме, како што голта пеколот, и цел како оној што слегува во гроб;
13. да си натрупаме секаков скапоцен имот, да ги наполниме куките наши со плен;
14. ти ке фрлаш жреб заедно со нас, една торба ке има за сите нас.'
15. Синко, не оди на пат со нив, задржи си ја ногата од патеките нивни,
16. зашто нозете нивни трчаат кон злото и брзаат крв да пролеваат;
17. напразно се распнува мрежа пред птици.
18. Но тие прават заседа против крвта своја, демнат против душите свои.
19. Такви се патиштата на секого, кој е алчен на ту имот: тоа му го одзема животот на оној, што го заграбил.
20. Премудроста говори високо на улицата, го крева гласот свој по плоштадите,
21. проповедта во главните места на собирите, при влезовите на градските порти смело говори:
22. 'До кога, незналци, ке го сакате незнаењето? До кога бујните ке се насладуваат со бујноста? До кога глупавите ке го мразат знаењето?
23. Обрнете се кон Моите изобличувања; еве, Јас Го ке излеам Духот Свој врз вас, ке ви ги кажам зборовите Свои.
24. Јас викав, а вие не послушавте; изговарав зборови, но вие не внимававте;
25. вие ги отфрливте Моите совети, но внимававте кога ве изобличував.
26. Затоа ке се насмеам на вашата погибел; ке се зарадувам на вашата погубност,
27. кога ке ве нападне ужас како бура, и зло како виор ке мине над вас, кога ке ве снајде невоља и уривање на градовите и кога ке дојде пропаста.
28. Тогаш ке Ме викаат, но Јас нема да чујам; ке Ме бараат лошите и нема да Ме најдат.
29. Затоа што го намразија знаењето и не го примија стравот Господов;
30. затоа што не го примија Мојот совет и ги презреа Моите разобличувања.
31. Поради тоа тие ке јадат од плодовите на своите патишта и ке се наситуваат од своите лоши замисли.
32. Зашто неразумните ке ги убие нивната упорност, а глупавите ке ги погуби нивната негрижа;
33. но кој Мене Ме слуша, ке дживее безопасно и спокојно, не плашејки се од злото.

Глава 2

1. Синко, ако ги примиш зборовите на Моите заповеди, и ги зачуваш во себеси,
2. ако увото твое внимателно ја слуша мудроста, ако срцето твое се приклони кон размислување, ако со нив го поучиш синот твој;
3. ако ги повикаш знаењето и разумот;
4. ако ги бараш како сребро и ги истражуваш како ризница, -
5. ке го разбереш стравот Господов и ке го најдеш знаењето за Бога.
6. Зашто Господ дава мудрост; од устата Негова доа а знаењето и разумот;
7. Он го зачувува за праведните спасението; Он е штит за оние што одат непорочно;
8. Он ги чува патиштата на правдата и ја брани патеката на оние, кои Го почитуваат.
9. Тогаш ке ги разбереш правдата и правосудието, правината и секој добар пат.
10. Кога мудрост ке влезе во срцето твое, и знаењето ке и биде пријатно на душата твоја,
11. тогаш расудувањето ке те брани, разумот ке те чува,
12. за да те спаси од лош пат, од човек, кој говори лага,
13. од оние, што ги напуштиле патиштата на правдата, за да одат по пат не темнината;
14. од оние, што се радуваат, вршејки зло, кои се восхитуваат на расипаност,
15. чии патишта се криви, и кои талкаат далеку од правиот пат;
16. за да те спаси од жената на друг, од ту а, која ги засладува зборовите свои,
17. која го остава пријателот на младоста своја, и која го заборава заветот на својот Бог.
18. Домот нејзин води кон смрт, и патеките нејзини - кон пеколот;
19. никој од влезените при неа не се врака никогаш и не стапнува на патот кон животот.
20. Затоа оди по патот на добрите и придржувај се за патеките на праведните,
21. зашто праведните ке живеат на земјата, и непорочните ке опстанат на неа;
22. а беззакониците ке бидат истребени од земјата, и вероломните - искоренети од неа.

Глава 3

1. Синко, не ја заборавај поуката Моја и срцето твое да ги чува заповедите Мои;
2. зашто тие ке ти придадат долги дни, години на живот и мир.
3. Милостиња и верата да не бидат скудни во тебе: обеси ги на вратот свој, напиши ги на плочите на срцето свое, -
4. па ке најдеш милост и благоволение пред очите на Бога и на лу ето.
5. Надевај се на Господа од се срце и не се потпирај врз твојот разум.
6. По сите свои патишта размислувај за Него, и Он ке ти ги покаже твоите патеки.
7. Не се сметај за мудрец; бој се од Господа и бегај од злото:
8. тоа ке биде здравје за твоето тело и лек за твоите коски.
9. Давај му принос на Господа од имотот твој и од привините на плодовите од твоите придобивки,
10. та твоите житници да се исполнат до врвот, твоите бочви да се прелеваат од вино.
11. Не занемарувај ја, синко, казната од Господа, и да не ти е тешко од Неговото изобличување;
12. зашто кого Господ го сака, него и го кара, како и таткото синот свој што го љуби.
13. Блажен е човекот, кој се здобил со мудрост, и човек, што спечалил разум;
14. подобро е да ја добиеме неа, отколку ризници со сребро и злато;
15. таа е поскапа и од скапоцените камења; ни едно зло не може да и се спротивстави; таа им е добро позната на сите, што се приближуваат кон неа, ништо, па и се што ти е мило, не може да се спореди со неа.
16. Во десницата нејзина е долгоденствието, а во левицата и е - богатството и честа; од устата и излегува правда; закон и милост носи на јазикот свој;
17. патиштата нејзини се пријатни патишта, и сите патеки нејзини се - спокојни.
18. таа е дрво на животот за оние, што ја придобиваат, и блажени се, кои ја запазуваат.
19. Господ со премудрост ја основа земјата, со разум ги утврди небесата;
20. преку Неговата премудрост се отворија бездните, и облаците оросија со роса.
21. Синко, не ги испуштај од превид овие, работи; запази ја мудроста и разумот;
22. тие ке бидат живот за душата твоја и украс на вратот твој; ке бидат изцеление за твоето тело и лек за твоите коски.
23. Тогаш ке одиш без опаснот по патот свој, и ногата твоја нема да се сопне.
24. Коге ке легнеш да спиеш, нема да се плашиш, и кога ке заспиеш, сонот ке ти биде пријатен.
25. Нема да се исплашиш од ненадеен страв, ниту од напад, кој доа а од безбожниците,
26. бидејки Господ ке биде на сите твои патишта и ке ја запази ногата твоја од препнување.
27. Не откажувај да му направиш добро на оној, кој има потреба, кога раката твоја има сила да му помогне.
28. Не му вели на пријателот свој: 'Оди си и дојди пак; утре ке ти дадам' кога си во состојба да му помогнеш, зашто не знаеш што ке роди утрешниот ден.
29. Не крои зло против ближниот свој, кој е придојден и кој со доверба живее при тебе.
30. Не се карај со човек без причина, кога не ти направи никакво зло.
31. не завидувај му на човек што постапува насилно, и не избирај ни - еден од патиштата негови,
32. зашто на Господа му е одвратен безбожникот, а близок е со праведникот.
33. Проклетството Господово е врз домот на нечесниот, а живеалиштето на праведникот Бог го благословува.
34. Над оние што се подигруваат, Он се потсмева, а на смирените им дава благодат.
35. Мудрите ке наследат слава, а безумните - срам.

Глава 4

1. Слушајте ја, деца, татковата поука и внимавајте, та да се научите да ја разбирате,
2. зашто добар дар ви дарувам; не оставајте ја мојата заповед.
3. Зашто и јас бев син послушен на татка ми, и омилен на мајка ми;
4. и татко ми ме поучуваше и ми велеше: 'Зборовите мои задржи ги во срцето твое; пази ги моите заповеди и не заборавај ги!
5. Здобивај се со мудрост, придобивај разум; не заборавај го тоа и не се отстранувај од зборовите на устата моја.
6. Не ја оставај, - и таа ке те пази, сакај ја, - и таа ке те чува.
7. Главно е мудроста: придобивај мудрост и за сиот свој имот придобивај разумност.
8. Високо цени ја, и таа ке те воздигне; таа ке те прослави, ако ја прегрнеш,
9. ке положи на главата твоја багодатен венец, со венец на сладост ке те закрили.
10. Слушај, синко, и прими ги зборовите мои, - и ке ти се умножат годините на животот.
11. Ти го покажувам патот на мудроста, те водам по прави патеки.
12. Ако одиш, нозете твои нема да се сопнат, и ако потрчаш, нема да се измориш.
13. Држи се здраво за поуката, не ја оставај; пази ја, бидејки таа е твојот живот.
14. Не оди на пат безбожнички и не оди по патот на лоши лу е;
15. остави го, не оди по него, отстрани се од него и заобиколи го;
16. зашто тие не заспиваат, ако не направат зло; и сон не ги фака, ако не доведат некого до пад;
17. оти тие јадат леб од беззаконие и се опиваат со вино од грабеж.
18. Патеката на праведните е како болскава светлина, која свети се повеке и повеке дури не настане ден.
19. А патот на беззакониците е како темнина; тие не знаат, од што ке се сопнат.
20. Синко, внимавај на зборовите мои и приближи го увото кон поуките мои;
21. да не остапуваат тие од твоите очи; чувај ги внатре во срцето свои:
22. зашто тие се живот за оние што ги нао аат, и здравје за целото тело нивно.
23. Од се, што е за пазење, најмногу чувај го срцето свео, зашто од него се изворите на животот.
24. Отфрли ја од себеси лажливата уста, а лукавството на јазикот од себеси оддалечи го.
25. Очите твои нека гледаат право, и клепките твои да бидат управени кон праведното.
26. Провери ја патеката со нозете свои, и сите патишта твои нека бидат прави.
27. Не скршнувај ни десно, ни лево; оддалечи ја ногата од злото.

Глава 5

1. Синко, внимавај на мудроста моја и приближи го увото кон зборовите мои,
2. за да ја запазиш добрата мисла, и устата твоја да го зацврсти знаењето; не и обрнувај внимание на лошата жена,
3. зашто мед тече од устата на блудница, и нејзиниот збор е помек од елејот;
4. но последиците од неа се горчливи како пелин, остри како меч со две сечива;
5. нозете нејзини слегуваат кон смртта, стапките нејзини водат до пеколот.
6. Таа не оди по патот на животот, патиштата нејзини се непостојани, таа не е разумна.
7. Затоа сега, синко, послушај ме и не отстапувај од зборовите Мои.
8. Држи го подалеку од неа патот свој и не приближувај се до вратата на куката нејзина,
9. за да не си го дадеш животот свој на друг и годините свои на мачител;
10. за да не се наситуваат ту инците од твојата сила, и трудовите твои да не бидат за ту а кука,
11. за да офкаш отпосле, кога плотта твоја и телото твое ке бидат истоштени, -
12. оти потоа ке речеш: 'Зошто ја мразев поуката, и срцето мое го презираше разобличувањето,
13. зошто не го послушав гласот на моите учители, и не го приклонував увото кон оние што ме поучуваа?
14. За малку ке паднев во секакво зло среде собранието и општеството!'
15. Пиј од водата на твојот извор и од онаа, што извира од твојот кладенец.
16. Нека не се разлеваат твоите извори по улицата, водните потоци - по плоштадите;
17. нека ти припа аат тие само тебе, а не и на ту инци.
18. Благословен да биде изворот твој; и утешувај се со жената на својата младост,
19. Нека ти е мила како кошута и како срна драга; нејзините гради нека те допираат во секое време, со љубовта нејзина насладувај се постојано;
20. и зошто ти е, синко, да се забавуваш со надворешна и да ги прегрнуваш градите на ту а?
21. Оти патиштата на човекот се пред очите на Господа, и Он ги гледа сите патеки негови.
22. Беззаконикот го факаат неговите сопствени беззаконија, и врските на гревот негов го држат:
23. тој умира без да биде поучен, и поради големото свое безумие загинува.

Глава 6

1. Синко, ако си зел одговорност за твојот ближен и си ја дал раката своја за друг,
2. ти си се врзал со зборовите на устата своја, фатен си со зборовите на својата уста.
3. Затоа направи, синко еве што, за да се избавиш, бидејки, си паднал во рацете на својот ближен: оди, падни пред нозете на блискиот свој и моли го;
4. не им давај сон на очите твои и дремна на клепките свои,
5. спасувај се како срна од стапица и како птица од мрежа.
6. Оди кај мравката, мрзливче, види ја нејзината работа и биди мудар.
7. Таа нема ниту началник, ни настојник, ниту заповедник;
8. но ја приготвува храната лете, ја собира во време на жетва храната своја. Или оди кај пчелата и види, колку е трудољубива, каква пофална работа врши; трудот нејзин го употребуваат за здравје и царевите и обичните лу е; неа сите ја сакаат, и таа е славна; иако по силата е слаба, но по мудроста е почитувана.
9. До кога, мрзливче ке спиеш? Кога од сонот ке станеш?
10. малку ке поспиеш, малку ке подремеш, малку со скрстени раце ке полежиш:
11. и ке дојде сиромаштијата твоја како патник, и немаштијата твоја како разбојник. Ако, пак, не бидеш мрзелив, жетвата твоја ке дојде како извор, а скудноста ке избега далеку од тебе.
12. Човек лукав, човек нечестив со лажлива уста,
13. намигнува со очите, говори со нозете, дава знаци со прстите,
14. во срцето негово има подмолност: тој мисли зло во секое време, сее раздори.
15. Затоа ненадејно ке дојде неговата пропаст, наеднаш ке биде сотрен - без излекување.
16. Еве шест работи, кои Господ ги мрази - дури седум, што му се одвратни на душата Негова:
17. очи горделиви, јазик лажлив и раце, што пролеваат невина крв,
18. срце кои крои лоши планови, нозе, кои брзо трчаат кон зло,
19. лажен сведок, кој измислува лаги, и оној, што сее раздор ме у брака.
20. Синко, пази ја заповедта на татка си и не отфрлај поуката на мајката своја;
21. врзи ги засекогаш за срцето свое, врзи ги околу вратот свој.
22. Ако тргнеш, тие ке те раководат; ако легнеш да спиеш, ке те пазат, ако се разбудиш, ке разговараат со тебе;
23. зашто заповедта е светило, и поуката - светлина, а опомената - пат кон животот,
24. за да те пазат од расипана жена, од ласкав јазик на ту а.
25. Не ја посакувај убавината нејзина во срцето свое, за да не бидеш уловен преку очите свои и да не те вовлече со трепките свои,
26. зашто поради жена блудница човекот па а до корка леб, а жена прељубодејка уловува многу чесна душа.
27. Може ли некој да носи оган во гради, а да не се запали облеката негова?
28. Може ли некој да оди по вжарени јаглења, а да не ги изгори нозете свои?
29. Истото тоа станува и со оној, кој влегува кај жена на ближниот свој; кој и ке се допре до неа, нема да остане без вина.
30. Не му проштеваат на крадецот, ако краде за да си ја насити душата, кога е гладен;
31. ако го фатат, тој плака седумпати повеке, го дава целиот свој имот.
32. Кој, пак, врши прељуба со прељубница, тој нема ум; си ја погубива душата своја, оној што врши тоа;
33. биење и срам ке најде тој, и бесчестието негово нема да се избрише,
34. зашто љубомората е јарост на мажот, и во денот на одмаздата своја - тој не ке знае за милост,
35. нема да прими никаков откуп и нема да се задоволи ни со многу подароци.

Глава 7

1. Синко, пази ги зборовите мои, и сокриј ги во тебе заповедите мои. Синко, почитувај Го Господа, - и ке се зацврстиш и, освен од Него, не се плаши од никого.
2. Пази ги заповедите мои, и ке живееш; пази го и учењето мое, како зеницата на очите свои.
3. Врзи ги на прстите свои, напиши ги на плочите од срцето свое.
4. Кажи и на мудроста: 'Ти си ми сестра!' - и наречи го разумот твој роднина,
5. за да те пазат од жената на друг, од ту а, која ги засладува зборовите свои.
6. Ете, еднаш гледав од прозорецот на куката моја, низ мојата решетка,
7. и видов ме у неискусните, забележав ме у младите едно неразумно момче,
8. кое минуваше преку плоштадот близу до нејзиниот агол и кое одеше по патот кон нејзината кука,
9. квечерина кога се стемнуваше, во нокната темнина и во мракот.
10. И ете, во пресрет му доа а жена, наконтена како блудница, со подмолно срце,
11. зборлива и нескротлива, нозете нејзини не се запираат в куки:
12. де на улицата, де по плоштадите и на секој агол поставува стапици.
13. Таа го зграпчи, го бакна и со бесрамно лице му зборуваше:
14. 'Мирна жртва имам денес: денес го исполнив планот свој;
15. затоа и излегов да те пресретнам, за да те побарам, и те најдов;
16. со килими го украсив леглото свое, со разнобојни покривки египетски;
17. леглото свое го попрскав со смирна, алој и дарчин;
18. дојди, ке се насладуваме со љубовта дури до зори, дојди да се радуваме во милување,
19. зашто маж ми не е дома: тој замина на долг пат;
20. една кеса сребро зеде со себеси; ке си дојде дома кон полната месечина.'
21. Со многу ласкави зборови таа го привлече, со меката уста своја го овладеа.
22. Тој веднаш тргна по неа, како што вол оди на колење и како куче - на верига, како елен - на истрел,
23. додека стрела не му го пробие црниот дроб, како птичка што се фрла во стапица, а не знае дека е таа за нејзина погибел.
24. И затоа, синко, послушај ме и внимавај на зборовите од устата моја.
25. Да не скршнува срцето твое по нејзиниот пат, да не талка по патеките нејзини,
26. зашто таа многумина смртно ранила, и многумина јунаци таа убила.
27. Нејзиниот дом е пат кон пеколот, кој води во внатрешните живеалишта на смртта.

Глава 8

1. Нели мудроста вика? И нели разумот го издига гласот свој?
2. Мудроста застанува на високи места, крај патот, на раскрсници;
3. таа вика пред портите при влезот во градот, при велзот на вратата силно извикува:
4. 'Кон вас, лу е, викам, и кон синовите човечки е мојот глас!
5. Научете се, неразумни, на благоразумие, и безумни, - на разум.
6. Слушајте, бидејки ке говорам важни работи, и устата моја ке изрече правда;
7. зашто јазикот мој ке ја изговори вистината; лажливата уста одвратна е за мене.
8. Сите зборови на устата моја се справедливи; во нив нема ни подмолност, ни лукавство;
9. сите тие се јасни за разумниот и справедливи за оние, што се здобиле со знаење.
10. Примете го учењето мое, а не сребро; подобро знаење, отколку најдобро злато;
11. зашто мудроста е подобра од бисер, и ништо, од она што е скапоцено, не може да се спореди со неа.
12. Јас, премудроста, живеам со разумот и барам ресудувачко знаење.
13. Стравот Господов ја мрази неправдата; ја мрази гордоста и восокомерноста, лошиот пат и подмолната уста.
14. Мои се советот и разумноста; јас сум разум, во мене е силата.
15. Преку мене цареви царуваат, и заповедници правда озаконуваат;
16. преку мене началници управуваат и големци и сите судии земни.
17. Ги сакам оние што мене ме сакаат, и кои Ме бараат, ке најдат добрина;
18. во Мене се богатството и славата, богатата ризница и правдата;
19. плодовите мои се подобри од злато, и од најчисто злато, и користа од мене е повеке отколку од најчисто сребро.
20. Јас одам по патот на правдата, по патеките на правосудството,
21. за да им доставувам вистинско добро на оние, што ме сакаат, нивните ризници ги полнам. Кога го објавувам она, што станува секојдневно, нема да заборавам да го спомнам и она, што е од секогаш.
22. Господ ме создаде за почеток на Својот пат, на Своите творби,
23. ме создаде уште од вечноста, во почетокот, пред да ја создаде земјата.
24. Јас сум се родила, кога уште немаше бездни, кога уште немаше извори, изобилни со вода.
25. Јас сум се родила пред да бидат втемелени горите, пред ридовите,
26. кога Господ уште не беше ја создал земјата, ни полињата, ниту првите прашинки на вселената.
27. Кога Он го приготвуваше небото, јас бев со Него, кога го поставуваше престолот Свој врз ветровите,
28. кога ги утврдуваше облаците во висините, кога ги зацврстуваше изворите на бездната,
29. кога ги поставуваше границите на морето, за да не ги преминуваат водите неговите брани, кога ги полнеше основите на земјата, -
30. јас бев при Него кога создаваше, и се радував секој ден, веселејки се пред лицето Негово за сето време,
31. веселејки се на Неговиот земен круг, и радоста моја беше со синовите човечки.
32. И така, синко, сега послушај ме: блажени се, оние што ги пазат моите патишта!
33. Послушај ја поуката, бидете мудри и не отстапувајте од неа.
34. Блажен е оној човек, кој ме слуша, станувајки бодар секој ден при портите мои и стоејки на стража при вратата моја!
35. Зашто, кој ме нашол мене, нашол живот; и ке добие благодат од Господа;
36. а кој греши против мене, нанесува штета на душата своја: сите што ме мразат мене, ја сакаат смртта.'

Глава 9

1. Премудроста си изгради дом, ги утврди седумте столбови негови,
2. ги закла своите жртви, го расточи во чаша виното свое и ја приготви трпезата своја;
3. ги испрати слугите свои да огласат од градските височини:
4. 'Кој е неразумен, да наврати тука!' И на малоумните таа им рече:
5. 'Дојдете, јадете го лебот мој и пијте го виното, што сум го приготвила;
6. оставете ја неразумноста, и ке живеете; одете по патот на разумот.'
7. Кој поучува бесрамник, ке си спечали неславност, и кој го разобличува нечестивецот - дамка.
8. Не изобличувај го бесрамникот, за да не те намрази; поучувај го мудриот, и тој ке те засака.
9. Дај му совет на мудриот, и тој ке биде уште помудар; научи го праведниот, и тој повеке ке напредне во знаењето.
10. Почеток на мудроста е стравот Господов, и познавањето на светиот е разум;
11. зашто преку мене ке ти се умножат дните, и ке ти се додадат години на животот.
12. Синко! Ако си мудар, мудар си за себеси и за ближните свои; и ако си лош, самиот ке страдаш. Кој се крепи на лага, тој пасе ветрови, потскокнува зад птиците што фрчат: зашто тој го оставил патот кон своето лозја и талка по патеките на нивата своја; минува преку безводна пустиња и земја, осудена да жеднее со рацете свои собира бесплодност.
13. Жена без расудување е зборлива, безумна и ништо не разбира,
14. седнува пред кукната врата на стол, по високите места на градот,
15. за да им вели на минувачите, што си одат право по патот:
16. 'Кој е глупав, нека наврати тука', а на малоумните им вели:
17. 'Крадена вода е слатка, и сокриен леб е - пријатен.'
18. И тој не знае дека поканетите од неа родени на земајта умираат, и дека се во дното на пеколот. Но ти оттргни се, не задржувај се на тоа место, не запирај го погледот свој на неа; зашто само така ке минеш преку ту а река. Бегај од ту а вода и не пиј од ту извор, за да поживееш многу време и да ти се додадат години на животот.

Глава 10

1. Мудар син го радува татка си, а безумниот син е тага на мајка си.
2. Беззакони ризници не донесуваат полза, а правдата од смрт спасува.
3. Господ не допушта да гладува душата на праведникот, но на безбожниците го одзема.
4. Мрзливата рака донесува сиромаштија, а раката на работливиот збогатува.
5. Кој собира преку летото, е разумен син, а кој спие за време на жетвата, е неразумен син.
6. Благослов почива врз главата на праведниот, а насилство им ја затвора устата на беззакониците.
7. Споменот за праведниот ке биде благословен, а името на нечестивите ке биде проколнато.
8. Мудриот по срце прима заповеди, а неразумниот, кој брбори, ке се сопне.
9. Кој оди во непорочност, оди без страв; а кој ги искрувува патиштата свои, ке биде казнет.
10. Онаа што намигнува со очите, го срамоти мажот свој, а кој глупаво зборува - пропа а.
11. Устата на праведникот е извор на животот, а насилството им ја затвора устата на беззакониците.
12. Омразата предизвикува раздори, а љубовта ги покрива сите гревови.
13. Во устата на разумниот има мудрост, а за грбот на глупавиот - стап.
14. Мудрите го чуваат знаењето, а устата на глупавиот е близу до смртта.
15. Имотот на богатиот е негов утврден град, а пропаст за бедните е нивната сиромаштија.
16. Трудот на праведникот води кон живот, успехот на нечестивиот - кон грев.
17. Кој ја пази поуката, тој е на патот кон животот; а кој го отфрла разобличувањето - талка.
18. Којшто крие омраза, има лажлива уста; а кој шири клетви, е глупав.
19. При многу зборување не се избегнува гревот, а разумен ке бидеш ако ја воздржуваш устата своја.
20. Јазикот на праведниот е одбрано сребро, а срцето на нечестивите - нема вредност.
21. Устата на праведниот поучува мнозина, а глупавите умираат од недостиг на разум.
22. Благословот Господов - збогатува, и не донесува со себеси тага во срцето.
23. Глупавиот со веселба го прави она што е престапно, а на разумниот човек мудроста му е својствена.
24. Од она од што се плаши нечестивиот, тоа ке го снајде, а желбата на праведниците ке се исполни.
25. Како што виорот минува, така и нечестивиот ке исчезне; а праведникот е врз вечни основи.
26. Она што е јагуридата за забите и димот за очите, таков е и мрзливиот за оние што пракаат.
27. Стравот Господов додава денови, а годините на нечестивите ке се скратат.
28. Очекувањето на праведниците е радост, а надјта на нечестивите ке загине.
29. Патот Господов е крепост за непорочниот, а пропаст за оние, што вршат беззаконие.
30. Праведниот нема да се поколеба никогаш, а лошите нема да ја населат земјата.
31. Од устата на праведникот тече мудрост, а злоштетникот јазик ке биде пресечен.
32. Устата на праведникот го познава благопријатното, устата на нечеситвите - развратното.

Глава 11

1. Неисправните мерила се одвратни пред Господа, а точните мерки Нему Му се угодни.
2. Ќе дојде ли гордоста, ќе дојде и срамот, но мудроста е со смирените. Праведниот, умирајќи остава сожалување; а смртта на нечестивите е ненадејна и радосна.
3. Непорочноста на простодушните ќе ги раководи, а лукавството на подмолните ќе ги погуби.
4. Богатството нема да помогне во денот на гневот, а правдата ќе спаси од смрт.
5. Правдата на непорочниот го израмнува неговиот пат, а нечестивиот ќе падне поради својата нечесност.
6. Правдата на простодушните ќе ги спаси, а беззакониците ќе бидат уловувани од своето беззаконие.
7. Со смртта на нечестивиот човек, исчезнува надежта негова, и очекувањето на беззакониците загинува.
8. Праведникот се спасува од невоља, а место него во неа па а нечестивиот.
9. Лицемерниот го погубува со уста ближниот свој, а праведниците се спасуваат со знаење.
10. Кога праведниците благсловуваат, градот напредува, а преку устата на нечестувите се разрушува.
11. Со благословот на праведните градот се издига, а преку устата на нечестивите се разурушува.
12. Малоумниот искажува презир кон ближниот свој, но разумниот човек молчи.
13. Кој оди да озборува, издава тајна, но верниот човек ја чува тајната.
14. Каде нема советување, неродот опа а, спасението е во многу советници.
15. Кој што презема јамство за друг, зло си донесува, а кој го мрази јемството, тој е во безопасност.
16. Добрата жена ја зголемува славата на мажот свој, а жената, која ја мрази правдата, е врв на нечесноста. Мрзливите се немокни, а трудољубивите се здобиваат со богатство.
17. Милосрдниот човек си прави добро на душата своја, а жестокиот по срце го руши телото свое.
18. Нечестивиот врши измамлива работа, а на оној што сее правда, наградата му е вистинска.
19. Праведноста води кон живот, а кој се стреми кон зло, се стреми кон смртта своја.
20. Подмолните по срце се одвратни пред Господа, а неопрочните во својот пат Нему Му се благоугодни.
21. Можеш со сигурност да речеш, дека порочниот нема да остане неказент, а семето на праведните ќе се спаси.
22. Она што е златна алка на носот кај свињата, тоа е жена убава, но без разум.
23. Праведните сакаат само добро, а нечестивите ги очекува гнев.
24. Еден раздава штедро, и уште му се додава; а друг преку мера е штедлив, и пак е сиромав.
25. Добротворната душа ќе биде наситена, и кој напојува други, и тој самиот ќе биде напоен.
26. Кој задржува храна за себеси, него народот го проколнува; а кој ја продава - врз главата негова стои благослов.
27. Кој се стреми кон добро, тој бара благоволение; а кој бара зло, него и го снао а.
28. Кој се надева на богатството свое, ќе падне; а кој се застапува за праведниците, тој ќе напредува.
29. Кој ја расипува куќата своја, ќе наследи ветар, а неразумниот му е слуга на мудриот.
30. Плодот на праведникот е дрво на животот, а безбожниците предвреме ќе бидат земени.
31. Ако на праведникот му се плаќа на земјата, дотолку повеќе на нечестивиот и на грешникот.

Глава 12

1. Кој ја сака поуката, го сака и знаењето; а кој го мрази изобличувањето - неразумен е.
2. Добриот добива благодат од Господа, а на подмолниот Он ке му суди.
3. Човек нема да се зацврсти со беззаконие; а коренот на праведните е неподвижен.
4. Добродетелна жена е венец за мажот свој, а онаа, што го срамоти, е како гнилеж во коските негови.
5. Помислете на праведните се правда, а плановите на нечестивите - подмолност.
6. Зборовите на нечестивите се заседа за пролевање крв, а устата на праведните ги спасува.
7. Каде и да се свртат нечестивите - исчезнуваат, а домот на праведните останува.
8. Човекот го фалат според разумот негов, а развратниот по срце ке биде презрен.
9. Подобро и прост, но да работиш за себеси, отколку да се фалиш, а да немаш леб.
10. Праведникот се грижи и за животот на добитокот свој, а срцето на грешникот е жестоко.
11. Кој ја обработува земјата своја ке се наситува со леб; а кој оди по стапките на безработниците, е малоумен. Кому му е драго да губи време по вино, тој ке остави во куката своја безчестие.
12. Желбите на грешниците се зли; но корењата на праведниците се силни.
13. Нечесниот се фака во мрежа преку гревовите на устата своја; но праведниот ке се спаси од неа. Кој гледа кротко, ке биде помилуван, а кој оди кон вратата, стеснува други.
14. Од плодот на устата своја човекот се наситува добро, и на човека му се дава според делата на рацете негови.
15. Патот на неразумниот му се чини прав во неговите очи; но кој слуша совет, тој е мудар.
16. Глупавиот веднаш ке го покаже гревот свој, а благоразумниот го покрива срамот.
17. Кој го кажува она, што го знае, тој говори правда, а лажниот сведок, говори измама.
18. Празнословецот ранува како меч, а јазикот на мудрите исцелува.
19. Праведната уста сведочи право, а лажливиот јазик е брз за измама.
20. Во срцето на оние што мислат зло, има подмолност, а кај миротворците - радост.
21. Праведниот нема да го достаса никакво зло, а нечесните ке бидат преполни со зло.
22. Лажливата уста е одвратност пред Господа, а којшто говори вистина, благоугоден Му е Нему.
23. Расудлив човек го прикрива знаењето свое, а срцето на глупавите ја разгласува својата лудост.
24. Раката на избраните ке господари, а на лажливите ке биде во плен.
25. Тагата во срцето го притиска човекот, а добриот збор го развеселува.
26. Праведниот му го покажува патот на ближниот свој, а патот на нечесните ги води во заблуда.
27. Мрзливиот својот лов не го пече; а трудољубивоста е големо богатство.
28. По патот на правдата има живот, а во нејзината патека нема смрт.

Глава 13

1. Мудар син слуша татковата поука, а непослушниот не го слуша прекорот.
2. Од плодот на устата своја човекот ке вкуси добро, а душата на беззаконикот ке загине предвреме.
3. Кој ја чува устата своја, тој ја чува душата своја; а кој широко ја отора устата своја, тешко нему.
4. Душата на мрзливиот посакува, но напразно; а душата на работливиот ке се насити.
5. Праведниот го мрази лажливиот збор, а нечесниот се срами и нема смелост.
6. Правдата го чува непорочниот, а нечеснотса го погубува грешникот.
7. Некој се покажува богат, а нема ништо; друг се прикажжува за сиромав, а има големо богатство.
8. Со богатство човек го искупува животот свој, а сиромавиот и заплашувањето не го слуша.
9. Светлината на праведниците свети секогаш, а светилото на нечесните згаснува.
10. Од гордоста произлегува спечалено со беззаконие, се намалува, а кој собира со труд, го зголемува.
11. Богатството, спечалено со беззаконие, се намалува, а кој собира со труд, го зголемува.
12. Надежта, долго неостварена, го изнемоштува срцето, а исполнета желба е како дрво на животот.
13. Кој не води грижа за словото, тој си штети, а кој се бои од заповедта, нему ке му се даде.
14. Учењето на мудриот е извор на животот, кој го оддалчува од мрежите на смртта.
15. Добриот разум донесува пријатност, а патот на беззаконицте, води во пропаст.
16. Секој благоразумен работи со знаење, а глупавиот се истакнува со глупости.
17. Лош гласник па а во беда, а верен гласник е спасение.
18. Немаштија е срам за оној, што го отфрла учењето; а оној, кој ја пази поуката, ке се прослави.
19. Изполента желба е пријатна за душата, но на глупавите им е тешко да го одбегнуваат злото.
20. Кој се состанува со мудри, мудар ке биде; а кој другарува со безумни, глупав ке биде.
21. Грешниците злото ги гони, а на праведниците им се врака добро.
22. Добриот остава наследство и на внуци, а богатството на грешникот се чува за праведните.
23. Праведните имаат богатство многу години, неправедните бргу го загубуваат.
24. Кој ја жали прачката своја, го мрази синот свој; а кој го сака, го казнува за да го поправи.
25. Праведникот јаде до наситување, а стомакот на беззакониците трпи од недостиг.

Глава 14

1. Мудра жена си ја уредува куката, а глупавата ја урива со рацете свои.
2. Кој оди по прав пат, се плаши од Господа; на кого патиштата му се криви, тој не мисли за Него.
3. Во устата на безбожникот се камшикот на гордоста; а мудрите ги запазува нивната уста.
4. Каде што нема волови, јаслите се празни; а од силата на воловите има изобилно жито.
5. Верен сведок не лаже, а лажливиот сведок шири многу лаги.
6. Развратникот бара мудрост, и не ја нао а; а разумниот до знаењето лесно доа а.
7. Бегај од безумен човек, кај кого не забележуваш разумна уста.
8. Мудроста на разумниот е да го знае патот свој, а безумноста на безрасудните е заблуда.
9. Домовите на беззакониците треба да се чистат, а домовите на праведните се чисти и пријатни.
10. Срцето ја знае тагата на душата своја, и ту не се мека во радоста негова.
11. Куките на беззакониците ке се сотрат, а живеалиштата на праведните ке опстојат.
12. Има патишта, кои на човека му изгледаат прави, но крајот нивни води до дното на пеколот.
13. И при смеа понекогаш срцето боли, а по радоста настаува тага.
14. Човек со развратно срце ке се насити од своите патишта, но добриот - си оди по правите.
15. Неразумниот верува на секој збор, а благоразумниот е внимателен на своите чекори.
16. Мудриот бега од злото, а неразумниот се надева во себе и со беззаконици се дружи.
17. Избувливиот човек не слуша совет, а пакосниот е омразен.
18. Безумните се исполнуваат со злоба, а благоразумните се укразуваат со венец.
19. Лошите ке се приклонат пред добрите, а нечесните - служат пред вратите на праведникот.
20. Сиромавиот го мразат дури и неговите блиски, а богатиот има многу пријатели.
21. Греши оној што го презира сиромавиот, а блажен е оној што е милосрден кон сиромасите.
22. Нели се заблудуваат оние, што којат зло? Не знаат милост и верност, кои вршат зло; но милост и верност има кај оние што мислат добро.
23. Од секој труд има изобилен плод, а празните зборови и негрижата водат кон скудност.
24. Венец на мудрите е богатството нивно, а животот на безумните е само зло.
25. Верен сведок души спасува, а лажливиот лаги измислува.
26. Во стравот пред Господа има голема надеж, и на чедата Свои Он им е прибежиште.
27. Стравот Господов е извор на животот, извор што оддалечува од мрежите на смртта.
28. Во многуброен народ е величието на царот, а кога нема народ - пропаст е за господарот.
29. Кај трпеливиот човек разум има многу, а лутиот полн е со глупости.
30. Кроткото срце е живот за телото, а зависта е гнилеж за коските.
31. Кој притеснува сиромав, го навредува неговиот Создател, а кој Го почитува Создателот, му прави добро на оној што е во нужда.
32. За своето зло нечесниот ке биде отфрлен, а праведниот и при смртта ке има надеж.
33. Мудроста почива во срцето на разумниот, а во срцето на безумниот не се јавува.
34. Правдата подига народ, а беззаконието ги срамоти племињата.
35. На царот мил му е разумниот слуга, а се разгневува против оној, кој го посрамува.

Глава 15

1. Гневот и разумни погубува. Кроткиот одговор гневот го ублажува, а навредлив збор јарост предизвикува.
2. На мудрите јазикот добри знаења искажува, а на безумните устата глупост им објавува.
3. Очите Господови се на секое место: тие ги гледаат лошите и добрите.
4. Кроток јазик е дрво на животот, кој го запазува - ке се исполни со дух.
5. Безумниот се подбива со татковата поука; а кој слуша изоблучувања, благоразумен е. Во многу правда име голема сила, а нечесните ке бидат искоренети од земјата.
6. Во куката на праведникот - обилни ризници, а имотот на нечесниот - пропа а.
7. Устите на мудрите знаење сеат, но срцето на безумните не постапува така.
8. Жртвата на нечесните е одвратност пред Господа, а одговорите на праведните Му се благоугодни.
9. На нечесниот патот е одвратност пред Господа, а кој ја бара правдата, Он го сака него.
10. Казната на добриот сите ја гледаат, а кој го мрази изобличувањето - срамно завршува.
11. Пеколот и пропаста се откриени пред Господа, а како ли нема да бидат - срцата на синовите човечки?
12. Развратникот не ги сака оние, што го прекоруваат, тој не разговара со мудрите.
13. Весело срце го прави лицето весело, а при срдечна жалост - тоа е натажено.
14. На разумен срцето бара знаење, а устите на безумните со зло се хранат.
15. На измамник сите дни му се тажни; а на кого срцето му е весело, во него секогаш има гозба.
16. Подобро малку, но со страв Господов, отколку голема ризница, и со неа немир.
17. Подобро јадење од зеленчук, и со него љубов, отколку угоени телиња, и со нив омраза.
18. Избувлив човек расправии крева, а трпеливиот расправии смирува. Трпеливиот караници смирува, а нечесниот ги разгорува.
19. Патот на мрзливиот е послан со трње, а патот на праведниот е чист.
20. Мудар син го радува татка си, а безумниот - ја ожесточува мајка си.
21. На малоумниот безумни му се патеките, а разумен човек оди по правиот пат.
22. Без советување намерите се расутраат, а при многу советници тие успеваат.
23. Безумниот не слуша добар совет, а и не советува она што е добро за сите.
24. Мудриот размислува за патот на животот, за да се отстрани од патот што води во пеколот и да се спаси.
25. Господ ке го сотре домот на гордите, а ме ата на вдовицата ке ја зајакне.
26. Помислите на лошите се одвратни пред Господа, а зборовите на непорочните Му се угодни.
27. Лакомиот ке го растури својот дом, а оној, кој мрази подароци, ке живее; со милостиња и чесност гревовите се чистат, а стравот од Господа запазува од гревот.
28. Срцето на праведниот се поучува од верата, а устата на нечесните исфрла зло. Пријатни се пред Господа патиштата на праведните; преку нив и непријателите стануваат пријатели.
29. Господ е далеку од нечесните, но ја слуша молитвата на праведните.
30. Светол поглед срце радува, добра вест коски храни.
31. Кој го слуша учењето на животот, ме у мудри ке живее.
32. Кој ја отфрла поуката, ја мрази душата своја; а кој слуша изобличување, тој ја сака душата своја.
33. Стравот Господов учи на мудрост, а пред славата оди смиреноста.

Глава 16

1. Човекот размислува во срцето свое, но одговорот на јазикот е од Господа.
2. Сите дела на смирениот му изгледаат дека се исправни, но Господ ги мери душите.
3. Предај ги делата свои на Господа, и твоите намери ке се исполнат.
4. Господ направи се со определена цел, и за нечесниот - злочест ден.
5. Секој горделив по срце е одвратност пред Господа: можеш да потврдиш, дека тој нема да остане неказнет. Почетокот на добриот пат е - да се врши правда; тоа е поугодно пред Бога, отколку да се принесуваат жртви. Кој Го бара Господа, ке најде знаење со правда; оние што навистина Го бараат, ке најдат мир.
6. Со милосрдност и правда грев се исчистува, и со страв Господов зло се отстранува.
7. Кој го бара Господа - тој добива разумност и праведност.
8. Кој што бара правда - тој ке добие спокој.
9. Сите дела Господови се добри, а нечесниот - лош ден го очекува.
10. Во устата на царот има вдахновено слово; неговата уста не смее да греши на суд.
11. Точните мерила и тасовите се од Господа; од него се и сите точни мерки.
12. Незаконско дела е одвратно за царевите, зашто со правда престолот се зајкнува.
13. Спреведлива уста на царот му е пријатна, и Господ го сака оној, што ја кажува вистината.
14. Царевиот гнев е гласник на смртта; но мудар човек ке го смилостиви царот.
15. Во светлиот поглед на царот има живот, и неговото благоволение е облак со задоцнет дожд.
16. Да се здобиеш со мудрост е многу подобро, отколку со злато, и да се здобиеш со разум е повеке за предпочитување отколку одбрано сребро.
17. Патот на праведните е отстранување од злото: патиштата на праведните водат кон долг живот; кои примаат поука - добрини ке видат, а кои примаат прекори - помудри ке бидат; кој ги пази своите патишта - душата своја ке ја запази; кој го сака животот свој - тој внимава што зборува.
18. Пред погибел гордоста врви, и пред па ање - надуеноста.
19. Подобро е да се смируваш во духот со кротки, отколку да делиш грабеж со горделиви.
20. Кој ја води разумно работата своја, добро ке најде, и кој се надева на Господа, блажен е.
21. Мудрите по срце, разумни ке ги наречат, и слаткиот збор го зголемува знаењето.
22. Разумот за оние, што го имаат, е извор на животот, а учeноста на безумниот е зло.
23. Срцето на мудриот го прави јазикот негов мудар, разумнот се пројавува и во устата негова.
24. Пријатни зборови се восочен мед: за душата слатки, а за коските лековити.
25. Има патишта, кои на човекот му изгледаат прави, но крајот им е пат кон смртта.
26. Кој се труди, се труди за себеси, зашто кон тоа устата го упатува; подмолниот во својата уста ја носи својата пропаст.
27. Лукав човек зло на себеси прави, во устата своја - оган разгорува.
28. Подмолен човек сее раздор, и клеветник пријатели разделува.
29. Насилник човек го мами својот ближен и го води кон лош пат;
30. замижува со очите, за да измисли подмолност: прекасувајки си ги усните, извршува зло; тој е оган од злоба.
31. Староста е венец на славата, таа води по патот на правдата.
32. Долготрпеливиот е подобар од храбриот, и кој владее со себеси, подобар е и од завојувачот на градови.
33. Жреб се фрла во скут, но се што решава тој, од Господа е.

Глава 17

1. Подобро сув залак и со него мир, отколку кука полна со заклан добиток, но во раздор.
2. Разумен слуга господари над развратник и со браката ке го подели наследството.
3. Топилницата е за сребро, печката - за злато, а срцата Господ ги испитува.
4. Лош човек се вслушува во беззакона уста; праведникот лажлива уста не слуша.
5. Кој се подбива со сиромав, Создателот Му го навредува; кој се радува на зло, нема да остане неказнет, а милосрдниот ке биде помилуван.
6. Синовите на синовите се венец на старите, а слава за децата се родителитениви. Во верникот има огромно богатство, а во неверниот нема ни пара.
7. На безумен умен збор не му прилега, уште повеке на големец - лажлива уста.
8. Дарот е скапоцен камен во очите на оној што го има: каде и да се сврти ке успее.
9. Кој ги покрива престапите, бара љубов, а кој одново напомнува за нив, оддалечува дури и пријател.
10. Врз разумниот посилно дејствува прекорот, безумниот - и кога го бијат не чувствува.
11. Будалиот бара само зло, затоа жесток ангел ке биде испратен против него.
12. Подобро човек на сретне мечка, чии мечиња се грабнати, отколку безумен во неговото безумство.
13. Кој врака зло за добро, злото нема да ја напушти куката негова.
14. Почеток на караницата е како кога водна брана се отвара: отстапи од караницата пред да се разгори.
15. Кој оправдува нечесен и кој обвинува праведен - и обајцата се одвратност пред Господа.
16. Што ке му се пари во рацете на безумен? За да купи мудрост, но тој нема разум. Кој си прави висока кука, бара да се сотре, а кој се остранува од учењето, запа а во беда.
17. Пријателот сака во секое време и како брат ке се јави во време на невоља.
18. Малоумен човек дава рака и се залага за ближниот свој.
19. Кој сака караници, го сака гревот, и кој високо ја издига вратата своја, бара да падне.
20. Подмолно срце нема да најде добро, и лукав јазик ке западне во беда.
21. За таткото на безумен нема радост, а разумниот син ја весели својата мајка.
22. Веселото срце е како лек благотворно, а паднатиот дух коски суши.
23. Не се прави патиштата на нечесните што земаат подароци; нечесните го искривуваат патот на правосудието.
24. Мудроста е пред лицето на разумниот, а очите на безумниот се на крајот од земјата.
25. Безумен син е мака за таткото и огорчување за мајката.
26. Не е добро да го казнуваш правиот, ниту кнезовите да го бијат оној што исправно работи.
27. Разумниот е воздржан во зборовите свои, трпеливиот е подобар од оној што бара знаење.
28. И безумниот кога молчи за мудар го сметаат, и кој ја затвара устата своја - за разумен го сметаат.

Глава 18

1. Тврдоглавиот се управува според своите желби и станува против се што е умно.
2. Безумниот не сака знаење; него глупоста го води.
3. Со доа ањето на нечесниот доа а и презирот, а со прекорот - доа а и срамот
4. Зборовите на човечката уста се длабоки води; тоа е река од изворот на животот.
5. Не е добро да бидеше лицемерен кон нечесниот, за да го собориш праведниот во судот.
6. Устата на безумниот води кон кавга, а зборовите негови предизвикуваат смрт.
7. Јазикот на безумниот е погибел за него, а усните негови се стапица за душата негова.
8. Зборовите на клеветникот се како слатки, и тие вегуваат внатре во утробата.
9. Немарниот во работата своја е брат на расипникот.
10. Името на Господа е цврста кула: ако во неа побегне праведник, во безопасност е.
11. Имотот на богат човек е како силен град и во мислите му е како висока ограда.
12. Пред па ање срцето на човекот се возгордува, а смиреноста оди пред славата.
13. Кој дава одговор пред да ислуша, безумен е, тоа е срам за него.
14. Духот на човекот го поткрепува во немок, а скршен дух - кој може да поткрепи?
15. Срцето на разумнитот се здобива со знаење, и увото на мудрите бара знаење.
16. Подарокот, што го дава човекот, му отвора пат и до големците го доведува.
17. Првиот по тужбата си е прав, но доа а противникот негов и го порекнува.
18. Жребот прекинува расправии и решава спор ме у силните.
19. Кога брат, братот свој го помага, тоа е силен град, а тој е како силна тврдина.
20. Од плодот на устата на човекот се полни стомакот негов; од плодовите на устата своја тој се наситува.
21. Смртта и животот му се потчинети на јазикот, и оние што го владеат, ке вкусат од плодовите негови.
22. Кој нашитл добра жена, нашол добро и добил благодат од Господа. Кој избркува добра жена, го брка доброто, а кој поддржува прељубница, безумен е и нечесен.
23. Сиромавиот говори со молба, а богатиот одговара остро.
24. Кој сака да има пријатели, и сам треба да биде дружељубив; зашто има пријатели поприврзани од брат.

Глава 19

1. Подобро сиромав, кој оди во својата неопрочност, отколку богат со лажлива уста, притоа и глупав.
2. Не и е добро на душата без знаење; а кој брза со нозете, се сопнува.
3. Глупавоста на човекот му го искривува патот негов, а срцето негово негодува против Господа.
4. Богатството собира многу пријатели, а сиромавиот го напушта и пријателот негов.
5. Лажниот сведок нема да остане неказнет, и кој говори лага, нема да се спаси.
6. Мнозина им се умилкуваат на големците, и секој му е пријател на човекот, кој дава подароци.
7. Сиромавиот го мразат сите негови брака, а уште повеке се оддалечуваат од него пријателите: трчка по нив, за да проговори - но нив ги нема.
8. Кој се здобива со разум, ја сака душата своја; кој ја пази мудроста, нао а добро.
9. Лажниот сведок нема да остане неказнет, а кој говори лага ке загине.
10. На безумниот не му прилега раскош, уште помалку на слуга - да господари над кнезови.
11. Благоразумноста го прави човекот бавен на гнев, и за него е чест да биде снисходлив кон грешките.
12. Гневот на царот е како лавовско рикање, а љубовта негова - како роса по трева.
13. Безумен син е пропаст за татка си, и жена кавгаxика е како незапирлива капка од стреа.
14. Куката и имотот се наследуваат од родителите, а разумна жена е дар од Господа.
15. Мрзливоста тоне во сон, е немарна душа трпи глад.
16. Кој пази запоевд, ја запазува душата своја, а кој не се грижи за своите патишта, ке загине.
17. Кој прави добро на сиромав, заем Му дава на Господа, и Он ке му плати за неговата добрина.
18. Казни го сина си, додека има надеж, и не се возбудувај од викањето негово.
19. Гневниот нека трпи казна, зашто ако го пожалиш, ке треба да го казниш уште повеке.
20. Слушај го, синко, советот на таткото твој, за да станеш потоа мудар.
21. Во срцето на човекот има многу мисли, но се извршува само определената од Господа.
22. Радост за човека е неговата милостиња; сиромавиот е подобар праведник од лажливиот богаташ.
23. Стравот Господен води кон живот, и кој го има, секогаш ке биде задоволен, и зло нема да го снајде.
24. Мрзливиот ја крие раката во пазувата своја и не сака да ја подигне до устата своја.
25. Ако го казниш оној што се потсмева, и простиот ке стане разумен; и ако му укажеш на разумниот, тој ке ја разбере поуката.
26. Кој го упропастува татка си и ја набркува мајка си, син е бесрамен и нечесен.
27. Немој, синко, да слушаш совети што те отстрануваат од зборовите на разумни.
28. Лукавиот сведок се потсмева со судот, и устата на беззакониците голта неправда.
29. Готови се судовите за невоздржливи, и ударите за телото на безумните.

Глава 20

1. Виното е потсмевка, ракијата - бунтовник; и секој, кој им е потчинет, не е разумен.
2. Заплашувањето од царот е како лавовско рикање: кој го дразни, греши против себеси.
3. Чест е за човекот да се воздржи од кавга; а секој неразумен се вплеткува во неа.
4. Мрзливиот од укори не се срамува, не се срамува ни оној, кој позајмува жито за време на жетва.
5. Помислите во срцето на човекот се длабоки води, но разумен човек ги исцрпува.
6. Мнозина го фалат човекот за милосрдноста негова, но кој нао а вистински човек?
7. Праведникот оди по својата непорочност: блажени се децата негови по него.
8. Кога цар праведен седи на престол, нему не му се противи никакво зло.
9. Кој може да каже: 'Го очистив срцето свое, чист сум од гревот свој?'
10. Нееднакви терзии, нееднаква мерка, - и едното и другото се одвратност пред Господа.
11. Дури и дете може да се познае по работите негови: чисто ли ке биде и правилно ли ке биде поведението негово?
12. Уво, кое слуша, и око, кое гледа, - и едното и другото Господ го создал.
13. Не љуби да спиеш, за да не осиромашиш; држи ги отворени очите свои, и ке јадеш леб до наситување.
14. 'Лошо е, лошо е,' вели купувачот, а кога ке одмине, тогаш се фали.
15. Има злато и многу скапоцени камења, но разумната уста е поскапоцена од се.
16. Земи ја облеката негова, бидејки се заложил за ту човек; и за ту инка земи залог од него.
17. Леб, спечален со неправда, му се засладува на човека; но подоцна - устата негова со песок се наполнува.
18. намерите добиваат цврстина преку советување: и по советувањето водат војна.
19. Кој оди да оговара, открива тајна, и кој широко ја отвора устата своја, со него не се здружувај.
20. Кој зборува лошо за татка си и мајка си, зениците на очите негови ке згаснат среде длабока темнина.
21. Налседство, што се добива уште во почетокот, набрзина, нема да биде благословено отпосле.
22. Не вели: 'Ќе му се одмаздам на непријателот', туку остави на Господа, Он ке ти помогне.
23. Двојни мерки се одвратност пред Господа; и неточни мерки не се добри пред Господа.
24. Стапките на човекот се определуваат од Господа; тогаш, како човекот може да го дознае патот свој?
25. Стапица е за човекот набрзина да вети жртва, а по жртвата да се кае.
26. Мудар цар ги распознава нечесните и го свртува врз нив тркалото.
27. Господово светло е човечкиот дух, кој ги испитува сите длабочини на срцето.
28. Милоста и вистината го запазуваат царот, и со милост тој го одржува престолот свој.
29. Слава за младите е нивната сила, а украс за старците - е нивната бела коса.
30. Раните од борбата се лек против злото, исто така и ударите, што стигнуваат до внатрешноста на утробата.

Глава 21

1. Срцето на царот е во раката на Господа, како водните потоци: Он го насочува, каде што ке посака.
2. Сите патишта на човекот се прави пред очите негови; но Господ ги мери срцата.
3. Да ја пазиш правдата и правосудието Му е поугодно на Господа, отколку крвта од жртвите.
4. Горделивите очи и надуеното срце се светило на грешник, а тоа е грев.
5. Мислите на трудољубивите се стремат кон изобилие, а секој што пребрзува трпи немаштија.
6. Богатство добиено со лажлив јазик е суета, која брзо одминува кај оние што ја бараат смртта.
7. Насилството на нечесните ке се струполи врз нив, зашто се откажале да го прават она што е добро.
8. Крив е патот на развратниот човек; а на чистиот постапките му се прави.
9. Подобро е да живееш во агол под покривот, отколку во заедничка кука, а со жена кавгаxика.
10. Душата на нечесниот сака зло: во неговите очи нема да најде милост ни пријателот негов.
11. Кога го казнуваат подбивачот, простиот станува мудар; и кога мудриот го вразумуваат, тој се здобива со знаење.
12. Праведниот го набљудува срцето на нечесниот: гледа како нечесните па аат во грев.
13. Кој ги покрива ушите свои пред пискотот на сиромавиот за да не го слуша, и тој самиот ке пишти, - и нема да го чујат.
14. Таен подарот го стивнува гневот, а дар под рака - и жестоката јарост.
15. Да го пази правосудието е радост за праведникот и страв за оние, што вршат зло.
16. Човек кој скршнал од патот на разумнот, ке се насели во собранието на мртвите.
17. Кој сака веселби, ке осиромаши, а кој сака вино и мрс, нема да се збогати.
18. Нечесниот ке биде откуп за праведниот, и лукавиот - за простодушниот.
19. Подобро да живееш во пуста земја, отколку со жена лута и кавгаxика.
20. Скапоцени добра и елеј има во куката на мудриот, а безумниот човек ги растура.
21. Кој ја пази правдата и милоста, ке најде живот, правда и слава.
22. Мудриот влегува во градот на силните и ја соборува силата, на која се надевале нечесните.
23. Кој ја чува устата своја и јазикот свој, ја чува душата своја од зло.
24. На дрскиот силник - името му е потсмевач - дејствува со прекумерна дрскост.
25. Гладот мрзливиот го убива, зашто рацете негови откажуваат да работат.
26. тој секој ден гладува, а праведниот дава и не му е жал.
27. Жртвата на нечесните е одвратност пред Господа, зашто ја принесуваат со лукавство.
28. Лажниот сведок ке загине, а човек, кој говори она што знае, ке говори секогаш.
29. Нечесниот човек има дрско лице, а праведниот право оди по патот свој.
30. Нема мудрост, нема разум, нема совет - против Господа.
31. Коњот го подготвуаат за денот на битката, но победата е од Господа.

Глава 22

1. Подобро е добро име, отколку големо богатство, и подобро е добра слава, отколку сребро и злато.
2. Богатиот и сиромавиот се срекаваат еден со друг; и едниот и другиот ги создал Господ.
3. Умниот го гледа злото и се клони; а безумните одат напред и се казнуваат.
4. Плодови на мудроста се: стравот Господен, богатството, славата и животот.
5. По патот на подмолниот - трње и стапици: кој ја пази душата своја, ке бега од нив.
6. Поучи го момчето го почетокот на патот негов: тој нема да скршне од него и кога ке остари.
7. Богатиот господари над сиромавиот, и должникот станува роб на заемодавецот.
8. Кој сее неправда, ке пожнее зло, и прачката на гневот негов ке го удри него самиот,
9. Господ го сака човекот, што доброволно дава, и ке го пополни недостигот не делата негови.
10. Милосрдниот ке биде благословен, што им дава на бедните од лебот свој. Кој дава подароци, печали победа и чест, и дури овладува со душите на оние, што ги добиваат.
11. Истерај го подбивачот, и раздорот ке изчезне, ке престанат кавгата и навредите.
12. Господ љуби чисто срце, Нему Му се пријатни оние, што одат по прави патишта; со устата своја управува царот над народот свој.
13. Очите на Господа го чуваат знаењето, а зборовите на престапникот Он ги презира.
14. Мрзливиот вели: 'Лав на улицата! На патот има разбојници!'
15. Устите на законопрестапниците се длабока бездна: на кого Господ ке се разгневи, тој ке падне во неа. Пред лошите се појавува лош пат, но тие продолжуваат да одат по него,
16. Безумието на детето му е приврзано за срцето, но прачката ке го отстрани далеку од него.
17. Кој ограбува сиромав, за да го умножи богатството свое, и кој му дава на богатиот, - ке осиромаши.
18. Наклони го увото и слушај ги зборовите на мудрите, и сврти го срцето кон моите зборови, за да разбереш дека се добри.
19. Зашто ке се радуваш, ако ги пазиш во срцето свое, и ако ти бидат исто така во устата твоја.
20. За да биде твојата надеж во Господа, јас ти го покажувам патот твој.
21. А ти сега запиши ги трипати, советите и поуките во срцето свое; јас те поучив на зборовите вистински и добри, ти одговарам, точно на сите тои прашања.
22. Не ограбувај сиромав, зашто тој е сиромав, и не притеснувај страдалник при портите, -
23. оти Господ ке се застапи за нив, и ке ја истргне душата на грабачите нивни.
24. Не дружи со гневлив и не оди со човек жесток,
25. за да не се навикнеш на нивни патишта и да не навлечеш стапица на душата своја.
26. Не биди од оние, што даваат рака и се заложуваат за ту и долгови:
27. ако нема со што да платиш, зошто да ти ја земат постелата под тебе?
28. Не преместувај стари ме и, кои твоите татковци ги поставиле.
29. Си видел ли вешт и искусен човек во својата работа? Тој ке стои пред цареви, нема да стои пред прости.

Глава 23

1. Кога ке седнеш да јадеш со силен, гледај добро што има пред тебе,
2. и постави ограда на грлото свое, ако си лаком.
3. Не се занесувај од вкусните гозби негови: тие се примамлива храна.
4. Ако си сиромав, не настојувај да трупаш богатство; бегај од таквите мисли.
5. Ќе ги устремиш очите кон него, о - веке го нема: тоа ке си направи крилја и како орел ке летне кон небото.
6. Не јади леб кај завидлив човек и не се занесувај од вкусните гозби негови;
7. зашто какви му се мислите во душата негова, таков е и тој; 'јади и пиј' ти вели, но срцето негово не е со тебе.
8. Залакот, што си го изел, ке го изблуеш, и убавите зборови свои напразно ке ги потрошиш.
9. Во ушите на безумниот не зборувај, зашто тој ке ги презре разумните зборови твои.
10. Не преместувај стара ме а и во нива на сираци не влегувај;
11. зашто нивниот Заштитник е силен; Он ке се замеша во делото нивно против тебе.
12. Управи го срцето свое кон учење и ушите свои - кон умни зборови.
13. Не оставај го детето без казна: ако го казниш со прачка, тоа нема да умре;
14. Ќе го казниш со прачка, и ке ја спасиш душата негова од пеколот.
15. Синко, ако твоето срце биде мудро, и моето срце ке се радува;
16. ке се радуваат и моите внатрешности, кога твојата уста говори право.
17. Срцето твое нека не им завидува на грешниците, туку биди во сите дни свои во стравот Господов;
18. зашто има иднина, а твојата надеж не е загубена.
19. Слушај, синко, и биди мудар и управувај го срцето свое по прав пат.
20. Не биди ме у оние, што се опиваат со вино, ме у оние, што се презаситуваат со месо, -
21. зашто пијаницата, и блудникот и оној што се прејадува, ке осиромашат, а сонливоста ке ги облече во партали.
22. Слушај го, синко татка си свој: тој те родил; не ја занемарувај мајка си кога таа ке остарее.
23. Купувај вистина и не продавај мудрост, учење и разум.
24. Праведниот добро го воспитува синот свој; на умниот свој син, му се радува тој.
25. Нека ти се радуваат татко ти и мајка ти, нека се радува онаа која те родила.
26. Синко, дај ми го мене срцето и очите твои да ги гледаат патиштата мои, -
27. зашто блудницата е длабока пропаст, и ту а жена - тесен кладенец;
28. таа како разбојник ги пречекува и ги умножува престапниците на законот ме у лу ето.
29. На некого - ах, не некого -ох, не некого - кавга, на некого жал, на некого рани без причина, на некого зацрвенети очи?
30. На оние, што заседнуваат околу вино, кои одат да бараат вино со ароми.
31. не го гледај виното како се црвенее, какви се искрите во чашата, како убаво се лее;
32. отпосле тоа ке касне како змија и ке жилне како отровница;
33. очите твои ке гледаат ту и жени, и срцето твое ке почне да говори развратно;
34. и ти ке бидеш како заспан среде море и како задреман на врв на јарбол,
35. па ке речеш: 'Ме биеја, не ме болеше; ме туркаа, не чувствував. Кога ке се разбудам, пак ке го барам истото.'

Глава 24

1. Синко, не завидувај им на лошите лу е, и не посакувај да бидеш со нив,
2. зашто срцето нивно насилство намислува, и устите нивни за лошо зборуваат.
3. Со мудрост кука се изградува и со разум се зацврстува,
4. а со умешност нејзините простории се исполнуваат со секакви скапоцености и добра.
5. Мудриот човек е подобар од силниот, а разумниот - од оној што има голем имот.
6. Затоа со обмислување се води војна, а успех ке има со многу советувања.
7. Пред вратите на мудрите има мудрост и добра мисла; мудрите не се оддалечуваат од законот на Господа.
8. Кој мисли да направи зло, ке го наречат лош човек.
9. Безумниот умира во гревови; нечистотата негова го убива.
10. Ако во злочест ден си се покажал слаб, скудна ти е силата.
11. Спасувај ги оние што ги водат на смрт, и оние што сакаат да ги убијат, не откажувај се од нив.
12. Ако кажеш: ‘ете, ние не го знаевме тоа?‘ А Оној, Кој ги испитува срцата, зар не знае? Оној, Кој бдее над душата твоја, го знае тоа и ке му даде на човекот според делата негови.
13. Јади, синко, мед, затоа што е пријатен, и јади восочен мед, кој е сладок за грлото твое:
14. такво е за душата твоја и познавањето на мудроста. Ако си ја нашол, имаш иднина, а твојата надеж нема да те остави.
15. Не помислувај зло, безбожниче, против живеалиштето на праведниот, не опустошувај го местото на спокојство негово,
16. зашто седумпати ке паден праведник - и пак ке стане; а падне ли нечесен, тој изнемогнува во злото.
17. Немој да се радуваш, кога непријателот твој ке падне, и срцето твое да не се весели, кога тој ке се сопне.
18. Инаку, Господ ке види, и тоа пред очите Негови нема да биде угодно, и Он ке го оттргне од него гневот Свој.
19. Не лути се поради зломисленици и не завидувај им на безбожниците,
20. зашто лошиот нема потомство; и светилото не нечесните ке згасне.
21. Бој се, синко, од Господа и до царот; не востанувај ни против едниот ни против другиот,
22. оти неочекувано ке дојде казната од нив, - а кој е тој што ке ја предосети пропаста до нив двајцата?
23. Кажано е од мудрите: не е добро во судот да има пристрастност.
24. Кој му вели на виновниот: ‘прав си‘, него народите ке го проколнуваат, него племињата ке го мразат;
25. а кои разобличуваат, ке бидат сакани, и врз нив ке дојде благословот.
26. Во усата бакнува оној, кој изговара зборови чесни.
27. Уреди ги работите надвор од куката, сврши ги на нивата своја, а потоа гради го домот свој.
28. Не сведочи лажно против ближниот свој: зошто да лажеш со устата своја?
29. Не вели: ‘Како ми направи тој мене, така и јас ке му направам нему: ке му се одмаздам за навредата што ми ја нанесе.‘
30. Минував покрај нивата на мрзлив човек и покрај лозје на малоумен човек:
31. и ете, се беше обраснато со трње, нивата беше покриена со коприва, а камената ограда негова беше урната.
32. И погледнав, го устремив срцето свое, погледнав и поука извлеков:
33. ‘малку ке поспиеш, малку ке задремеш, малку со скрстени раце, ке полежиш‘ -
34. и сиромаштијата ке ти дојде како брзоодец, и немаштијата твоја - како вооружен човек.‘

Глава 25

1. И ова се мудри изреки Соломонови, што ги собраа лу ето на јудејскиот цар Езекија.
2. Слава за Бога е да ја вообликува секога работа со тајна, а слава за царевите е да ги истражуваат работите.
3. Како небото во висините и земјата во длабочините, така и срцето на царевите е неиспитливо.
4. Оддели ја смесата од среброто, и истата ке биде работа на златарот;
5. оддалечи го неправедниот од царот, и престолот негов ке се зацврсти со правда.
6. Не се кревај на големо пред лицето на царот и не седнувај на местото на големците;
7. зашто подобро е кога ке ти кажат: ‘дојде тука погоре‘, отколку кога ке те понизат пред кнезот, кога го виделе очите твои.
8. Она што го виделе твоите очи не брзај да го изнесеш во обвинение, зашто, што ке правиш на крајот, кога твојот противник ке те посрами?
9. Суди се со противникот, но ту и тајни не откривај,
10. за да не те прокори оној, што ке го чуе тоа, и тогаш нечесноста твоја нема да избега од тебе. Љубовта и дружбата ослободуваат: запаси ги за себеси, за да не станеш достоен за навредување; запази си ги патиштата свои добро уредени.
11. Уместно кажаниот збор е како златно јаболко во сребрена кошничка.
12. Мудриот разобличувач за внимателно уво е како златна обетка и украс од чисто злато.
13. Како ладен снег во време на жетва, така е верен оној пратеник, што се испрака: тој му донесува утеха за душата на својот господар.
14. Како облаците и ветровите без дожд, таков е човекот, кој се фали со лажливи подароци.
15. Во долготрпеливота е успехот на царевите, а мек јазик коски крши.
16. Ако најдеш мед, само јади, колку што ти треба за да не се прејадеш и да не го повратиш.
17. Не оди често во куката на пријателот свој, за да не му додеваш и да не те намрази.
18. Она што е чеканот, мечот и острата стрела, таков е човекот, кој што сведочи лажно против ближниот свој.
19. Она што е скршен заб и крива нога, таква е надежта на безнадежниот во злочест ден.
20. Она што е оној, кој соблекува облека во студен ден, она што е оцет на рана, таков е оној, кој песни пее на натажено срце. Како што молец ја повредува облеката и црвот - дрвото, така жалоста го повредува човековото срце.
21. Ако непријателот твој е гладен, нахрани го со леб; и ако е жеден, напој го со вода;
22. зашто, правејки го тоа, ти натрупуваш жар врз главата негова, и Господ ке ти воздаде.
23. Северниот ветер дожд донесува, а таен јазик - незадоволни лица.
24. Подобро да живееш во агол на покривот, отколку со жена кавгаџика во широка кука.
25. Она што е студената вода за измачената душа од жед, тоа е добрата вест од далечна страна.
26. Она што е заматен извор и растурен кладенец, тоа е праведниот кој па а пред нечесниот.
27. Како што не е добро да се јаде многу мед, така не е добро и да лакомиш за слава што не е слава.
28. Она што е разрушен град, без ѕидови, таков е човекот, кој не владее со духот свој.

Глава 26

1. Како снег во летно време и дожд во време на жетва, така и честа не му прилега на безумниот.
2. како врапче што ке фркне, како ластовица што ке одлета, - така и незаслужена клетва нема да се збидне.
3. Камшик - за коњ, узда - за осел, а стап - за безумните.
4. Не му одговаран на безумниот според глупоста негова, за да не станеш и ти сличен на него;
5. но одговори му на безумниот против глупоста негова, за да не помисли оти е мудар.
6. Кој усно порачува на безумен, тој ги потсекува нозете свои, трпи непријатност.
7. Како што криват нозете на куциот, така и расказот куца во устата на безумните.
8. Она што е оној што клава во пракка скапоцен камен, таков е и оној, кој му прави чест на безумен.
9. Она што е трнлива гранка во раката на пијаница, тоа е и зборот во устата на безумните.
10. Силниот се врши по своја воља: и глупавиот го дарува, и секој минувач го наградува.
11. Како што кучето се враќа на изблуеното, така и безумниот ја повторува својата глупост.
12. Ако си видел човек, кој што се смета за мудар, тогаш повеке надевај се на безумен, отколку на него.
13. Кога го испракаат мрзливиот на пат, тој вели: ‘ѕвер е на патот, лав има на плоштадот!‘
14. Вратата се врти на куките свои, а мрзливиот - на леглото свое.
15. Мрзливиот ја крие раката своја во пазувата, и тешко му е да ја принесе до устата своја.
16. Мрзливиот се смета за помудар од седуммина, кои смислено одговараат.
17. Кој, минувајки, се замешува во ту а караница, фака куче за уши.
18. Како што разгневениот фрла оган, стрели и смрт,
19. таков е и човекот, кој подмолно го оштетува пријателот свој и потоа вели: ‘Јас само се пошегував.‘
20. Кога нема веке дрва, огнот згаснува, и кога нема клеветник, раздорот стивнува.
21. Јагленот е за жар, а дрвата - за оган, кавгаџијата, пак - кавга да разгорува.
22. Зборовите на оговарачот се како слатки и влегуваат внатре во утробата.
23. Она што е глинен сад, гле осан со сребро, такви се пламените усти и злобното срце.
24. Со устата своја непријателот се преправа, а во срцето подмолност крие;
25. кога говорои дури и со нежен глас, не верувај му, зашто во срцето негово има сеудм одвратности.
26. Ако омразата негова се прикрива насамо, злобата негова ке се отркие во собранието народно.
27. Кој копа јама, ке падне во неа, и кој тркала камен угоре, врз него ке се врати.
28. Лажливиот јазик ги мрази оние, што ги сопира, и устата ласкава подготвува пропаст.

Глава 27

1. Не се фали со утрешниот ден, зашто не знаеш, што ке роди тој ден.
2. Нека те фали друг, е не устата твоја, - ту , а не јазикот твој.
3. Тежок е каменот, тешка е и песокта; но гневот на безумниот е потежок и од едното - и од другото.
4. Лут е гневот, нескротлива е јароста; но кој ке издржи против зависта?
5. Подобро отоворено разобличување, отколку сокриена љубов.
6. Искрени се ударите од оној, кој сака, а лажливи се бакнежите од оној, кој мрази.
7. Сита душа го гази и восочниот мед, а на гладна душе се што е горчливо - слатко и е.
8. Она што е птица, која го напушта гнездото свое, тоа е човек, кој го напуштил местото свое.
9. Мирисот од елеј и темјанот го радуваат срцето; така сладок му станува на секого пријателот со неговиот срцечен совет.
10. Не напуштај го пријателот свој, ниту пријателот на таткото твој, и не му оди на братот во куката негова во денот на невољата твоја; подобро сосед во близина, токолку брат надалеку.
11. Биди мудар, синко, и радувај го срцето мое, - и јас ке имам што да му кажам на оној, што ме клевети.
12. Умниот го гледа злото и се клони од него; а неискусните одат напред и биваат казнувани.
13. Земи му ја облеката, зашто се заложил за ту инец; и за ту инката земи од него залог.
14. Кој многу го фали пријателот свој од рано утро, ке го сметаат за клеветник.
15. Непрестајно капење од стреа во дождлив ден и жена кавгахика се едно исто:
16. кој сака да ја задржи, задржува ветар, а таа се појавува како миризлив елеј во десницата.
17. Железо железо остри, и човек го изострува погледот на пријателот свој.
18. Кој сади смоква, ке ги јаде плодовите нејзини, и кој го чува господарот свој, ке биде почитуван.
19. Како што е во водата лице спроти лице, така е и срцето на човека спроти човек.
20. Пеколот и бездната не можат да се наситат: така се ненаситни и очите човечки. Одвратен пред Господа е оној, кој дрско ги крева очите, и неразумни се, оние што имаат невоздржлив јазик.
21. Она што е топилницата за среброто и печката за злато, тоа се за човекот устите, што го фалат. Срцето на беззаконикот бара зло, а правото срце бара знаења.
22. Безумниот да го толчиш со железо во дибек заедно со зрната, - безумието нема да се оддели од него.
23. Добро надгледувај го добитокот свој, води грижа за стадата свои;
24. зашто богатството не е вечно, пак и власта - зар се е од род во род?
25. Тревата никнува, и зеленило се јавува, па се собираат билки горски,
26. Тогаш овците треба да ти бидат тебе за облека, и козите - за купување ниви;
27. Ќе имаш доволно козјо млеко за тебе и за твоите домашни за храна и на твоите слуги за исхрана.

Глава 28

1. Нечесниот бега, кога никој не го гони; а праведниот е смел како лав.
2. Кога земјата ке отстапи од законот, тоагаш во неа има многу началници; а при разумен и вешт маж управата е долговечна.
3. Човекот сиромав што врши зло на слабите и исто како излеан дожд, од кој полза нема.
4. Отстапниците од законот ги фалат нечесните, а оние што Го бараат Господа, негодуваат против нив.
5. Лошите лу е не ја разбираат справедливоста, а оние, што го бараат Господа, разбираат се.
6. Подобро сиромав, кој оди во својата непорочност, отколку оној, што ги искривува своите патишта, макар и да е богат.
7. Кој го пази законот, е разумен син, а кој се дружи со расипници, го срами татка си.
8. Кој го умножува имотот свој преку нечесност и лихва, тој го собира за добротворецот на сиромасите.
9. Кој го отстранува увото свое да не го слуша законот, на таквиот и молитвата му е одвратна.
10. Кој ги упатува праведните кон патот на злото, сам ке падне во јамата своја, а непорочните ке наследат добро.
11. Богатиот човек се смета за мудрец, ме утоа, умен сиромав ке го разобличи.
12. Кога праведници победуваат, голема е славата, но кога нечесните се издигаат, лу е гинат.
13. Кој ги крие престапите свои, нема да напредува; а кој се освестува и ги остава, ке биде помилуван.
14. Блажен е оној човек, кој секогаш се бои; а кој го ожесточува срцето свое, ке падне во невоља.
15. Лав што рика и мечка гладна, тоа е нечесниот властодржец над беден народ.
16. Неразумен управител врши многу угнетувања, а кој го мрази користољубието, ке има долги дни.
17. Човекот, виновен за пролевање на човечка крв, бега до гроб, за да не го фати некој. Казнувај го синот твој, и ке те засака: ке ја весели твојата душа; нема нечесните да ги слуша.
18. Кој оди непорочно, ке биде неповреден; а кој оди по криви патишта, ке падне на еден од нив.
19. Кој си ја обработува земјата, ке се наситува со леб, а кој е мрзлив и не работи, ке се насити со сиромаштија.
20. Верен човек ке биде многу благословуван, а кој бара да се збогати, не останува без казна.
21. Не е добро кога некој не се срамува од праведните: таков човек и за парче леб ке изврши неправда.
22. Завидлив човек брза кон богатството и не мисли, дека сиромаштијата ке го стигне.
23. Кој разобличува човек, отпосле ке најде поголема благонаклоност, отколку оној, што му ласка со јазикот.
24. Кој го краде татка си и мајка си и вели: ‘тоа не е грев‘ тој им е соучесник на грабителите.
25. Гордиот се надева на себеси, безумен е; а кој постапува мудро, ке биде спасен.
26. Кој се надева на себеси, безумен е; а кој постапува мудро, ке биде спасен.
27. Кој дава на сиромав, нема да осиромаши; а кој ги крие очите од него, ке биде проколнуван.
28. Кога нечесните се издигаат, лу ето се кријат, а кога па аат, праведниците се умножуваат.

Глава 29

1. Човек, кој, бидејки разобличуван, останува тврдоглав, неочекувано ке биде скршен, и ке нема за него лек.
2. Кога праведниците се умножуваат, народот се весели, а кога нечесниот господари, народот офка.
3. Човек, кој ја сака мудроста, го радува татка си; а кој се дружи со блудници, имотот го растура.
4. Царот со правда ја зајакнува земјата своја, а кој љуби поадроци, ја расипува.
5. Човек кој му ласка на пријателот, поставува стапица за нозете негови.
6. Гревот на лошиот човек е стапица за него, а праведникот ке се весели и ке се радува.
7. Праведниот грижливо вникнува во маката на бедните, а нечесниот не се интересира за тоа.
8. Развратните лу е го бунтуваат градот, а мудрите го смируваат гневот.
9. Умен човек, кога се суди со безумен човек, се лути ли, или се смее, - нема мир.
10. Крвожедните лу е го мразат непорочниот, а праведните се грижат за неговиот живот.
11. Безумниот го излива сиот свој гнев, а мудриот се воздржува.
12. Ако управителот слуша лажни зборови, тогаш и сите негови поданици се нечесни.
13. Сиромавиот и зајмодавецот се срекаваат еден со друг; но Господ им дава и на двајцата светлина во очите.
14. Ако царот им суди на сиромасите по правда, престолот негов ке се зајакне засекогаш.
15. Пратот и прекорот даваат мудрост; но момче, оставено без грижа, ги посрамува своите родители.
16. Кога се умножуваат нечесните, се умножува беззаконието; но праведните ке го видат нивното па ање.
17. Казнувај го синот свој, и тој ке ти даде мир и ке и донесе радост на душата твоја.
18. Без откровение одозгора народот е нескротлив, а кој го пази законот, блажен е.
19. Лошиот човек со зборови нема да се научи, зашто, и да ги разбира, не ги слуша.
20. Ако си видел човек брз и недомислен во зборовите свои, повеке надевај се на безумен, отколку на него.
21. Ако ласкаво држиш слуга од детството, подоцна ке посака да ти стане син.
22. Гневлив човек подига бунтови, а избувливиот многу греши.
23. Гордоста на човека го понизува, а смирениот по дух ке се здобие со чест.
24. Кој дели со крадец, ја мрази душата своја; и слуша клетви, но не ги соопштува.
25. Оние што се плашат и срамуваат од лу ето, ке се сопнат; а кој се надева на Господа, ке се развесели; нечесноста води кон соблазна, а кој се надева на Господа, тој ке се спаси.
26. Мнозина го бараат благосклоното лице на управителот, но правдата на човека е од Господа.
27. Неправеден човек е одвратен за праведниците, а одвратност за нечесниот е оној што оди по прав пат.

Глава 30

1. Зборовите на Агура, син Јакеов, од Маса; негово пророштво, кажано на Итила, за Итила и Укала.
2. Навистина, јас сум понеук од кого и да било ме у лу ето, и во мене нема разум човечки,
3. Бог ме научи на премудрост и ја разбрав разумноста на светиите.
4. Кој се искачил на небото и слегол оттаму? Кој собрав ветар во пазувата своја? Кој врзал вода на наметката своја? Кој ги поставил сите краишта на земјата? Како му е името? И кое е името на синот негов? Знаеш ли?
5. Секој збор од Бога е чист; Он му е штит на оној, што се надева на Него.
6. Не додавај кон зборовите Негови, за да не те разобличи, и да не излезеш лажливец.
7. За две работи те молам; не ми откажувај пред да умрам:
8. суетата и лагата оддалечи ги од мене, сиромаштија и богатство не ми давај, - храни ме со насушниот леб,
9. та, откако ке се пренаситам, да не се откажам од Тебе и да кажам: ‘Кој е Господ‘ и, откако ке осиромашам, за да не почнам да крадам и да го употребува името на мојот Бог напразно.
10. Не клевети го слугата пред господарот негов, за да не те проколне, и ти да останеш виновен.
11. Лошото чедо високо ги држи очите свои, и толку се кренати клепките негови!
12. Лошото чедо се смета за чисто, а не е измиено од нечистотиите свои.
13. Лошото чедо високот ги држи очите свои, и толку се кренати клепките негови!
14. Лошото чедо има заби како мечеви, а катниците негови се како ножеви, за да ги изедува сиромасите по земјата и немокните ме у лу ето.
15. Пијавицата има две керки кои велат 'Дај, дај!' Има три работи ненаситни и четири што не велат 'Доволно.'
16. Тое се: пеколот и утробата неплодна, земјата, која не се наситува со вода, и огнот, кој не вели: ‘доста‘!
17. Око, кое му се потсмева на татка си и не сака да се покорува на мајка си, кое ке биде исколвано од долински гаврани и од орлови пилци изедено!
18. Тир работи се недостижни за мене, а четвртата, не ја ни разбирам:
19. патиштата на орелот по небото,ползењето на змијата по карпите, патеките на коработ среде море и патот на маж во младоста негова.
20. Таков е патот и на жена прељубница: се најала и ја избришала устата своја, па вели: ‘ништо лошо не сум направила.‘
21. Од три работи се тресе земјата, а четвртата не може да ја поднесе:
22. од слуга, кога ке стане цар; од безумен, кога до наситување ке се најаде со храна,
23. од распуштена жена, кога ке се омажи, и од слугинка, кога го зазема местото на господарката своја.
24. Има четири мали животни на земјата, но тие се помудри и од мудреците:
25. мравките - во кои нема сила, но лете сепак си ја приготвуваат храната;
26. јазовците - иако слаби животни, но ги прават куките свои во камен;
27. скакулците, кои немаат цар, но излегуваат во војна сите во редови;
28. пајакот, кој со раце се лови, но се нао а и во царските палати.
29. Еве три, коишто убаво чекорат, и четвриот, кој свечено настапува:
30. лавот, најсилен ме у ѕверовите, кој нема да се врати и да се исплаши од никого;
31. и петелот кој надуено шета ме у кокошките; како царот ме у својот народ.
32. Ако гордоста те тера на безумни дела и си намислил зло, стави ја раката на устата своја.
33. Зашто, како кога се бие млеко, се добива масло, кога ке се удри носот, потечува крв, така и кога се предизвикува гнев, произлегува кавга.

Глава 31

1. Зборовите на царот Лемуил, со кои го поучила неговата мајка.
2. Што, што сине на утробата моја? Тебе ти говорам, сине мој, првенец, чедо на моите молитви.
3. Не им го давај на жени татковството свое, ниту патиштата на оние од нив, кои цареви погубуваат. Светувај се пред на направиш нешто.
4. Не е за царевите, Лемуиле, не е за царевите вино да пијат, ниту за кензовите - сикер,
5. за да не го заборават, откако ке се опијат, законот и да ја искривуваат правдината на угнетените.
6. Дајте му сикре на оној што е ожалостен; вино нека пијат оние што се болни.
7. нека пивне тој за да ја заборави сиромаштијата своја и да не ги чувствуваат веке болките свои.
8. Синко, отворај ја устата своја за слава Божја и на сите суди им по правда.
9. Отворај ја устата своја и праведно суди, и заштитувај ги и сиромавиот и немокниот.
10. Кој ке најде жена добродетелна? Таа е поскапа и од најскапоцените камења.
11. Срцето на мажот нејзин е убедено во неа, тој нема да остане без добивка;
12. таа ке му прави добро на мажот свој, во сите дни од животот негов.
13. Набавува волна и лен, и весело работи со рацете свои.
14. Таа е како трговски кораб, - оддалеку си донесува храна.
15. Таа станува уште преку нокта и дава храна во куката своја и им определува работа на слугинките свои.
16. Ке помисли ли за нива, ја купува; од плодот на рацете свои си насадува лозје.
17. Ја препашува со сила половината своја и ги зацврстува мишките свои за работа.
18. Таа гледа колку е добро што работи, и светилката нејзина не се гасне ноке.
19. Ги протега рацете кон фурката, и прстите нејзини се факаат за вретеното.
20. Дланката своја му ја отвора на сиромав, и раката своја на оној, кој има нужда, му ја подава.
21. Не се плаши од студ за челадта своја, зашто сета челад нејзина е облечена во двојни алишта.
22. Таа си ткае покривачи; он висон и пурпур е нејзината облека.
23. Мажот нејзин е познат кај портите, кога седи со старешините на земјата.
24. Таа работи покривки и ги продава, на Финикијците и појаси на Хананејците.
25. Здравје и убавина е нејзината облека, и весело гледа на иднината.
26. Со мудрост ја отвора устата своја, и кротка поука има на јазикот нејзин.
27. Го надгледува домакинството свое и не јаде леб во леност.
28. Стануваат децата и ја ублажуваат, - мажот, и тој ја фали:
29. ‘многу жени добродетелни имало, многу од нив стекнале богатство и сила, но ти ги надмина сите.‘
30. Миловидноста е примамлива и убавината - суетна; но жена, која се плаши од Господа, е достојна за пофалба.
31. Дајте и од плодовите на нејзините раце, и нека се прославува при мажот нејзин, при градските порти!

# Проповедник

Глава 1

1. Зборовите на проповедникот, син Давидов, цар ерусалимски.
2. Суета над суетите, вели проповедникот, суета над суетите - се е суета!
3. Каква е користа за човекот од сите негови трудови, со кои се труди под сонцето?
4. Род еден си заминува, и род друг доа а, а замјата си постои секогаш.
5. Сонцето изгрева и зао а, и пак брза кон местото свое, од каде што изгрева.
6. Ветрот вее кон југ и се врти кон север, се врти, се врти во својот пат и пак ги почнува своите вртења во круг.
7. Сите реки течат во морето, но морето не се преполнува: тие одново се вракаат кон она место, од каде што потекуваат, за да течат пак.
8. Секоја работа бара труд: човекот не може се да искаже; окото не се наситува од гледање, ниту увото може да се наслуша.
9. Она што било, пак ке биде, и она што се правело, пак ке се прави - нема ништо ново под сонцето.
10. Иако за нешто се рече: 'Види, ете, тоа е ново'; но тоа веке било во текот на вековите, што биле пред нас.
11. Нема спомен за минатото; па и за тоа, што ке биде подоцна.
12. Јас, проповедник, бев цар над Израилот во Ерусалим;
13. и го управив срцето свое да истражувам и да испитува преку мудроста се, што станува под небото; таа тешка задача им ја даде Бог на синовите човечки, за да се занимаваат со неа.
14. Ги видов сите работи, што се вршат под сонцето, и ете - се е суета и мака за духот.
15. Кривото не може да се исправи, и она, што го нема не може да се брои.
16. Си велев во срцето свое: 'Еве, јас се воздигнав и се здобив со мудрост повеке од сите, што беа пред мене над Ерусалим, и срцето мое виде многу мудрост и знаење.'
17. И го упарвив срцето свое да ја познае мудроста, да ги познае безумието и глупоста; но разбрав, оти и тоа е мачно за духот;
18. зашто при големата мудрост големо е и страдањето, и кој умножува знаење, умножува и мака.

Глава 2

1. Си реков во срцето свое: 'Ајде ке те испитам во веселба: уживај во наслади!' Но ете, и тоа беше суета!
2. На смевот му реков - лудуваш, и на веселбата - што правиш?
3. Си помислив во срцето свое да го насладам телото свое со вино и, додека срцето мое се води по мудроста, да се придржувам и за глупоста се додека да видам, што е подобро за синовите човечки, што би требало да прават тие под небото во текот на малкуте денови на својот живот.
4. Презедов големи работи: си изградив куки, си насадив лозја,
5. си уредив градини и садници и посадив таму секакви овошни дрвја;
6. си направив водостои за поливање на ливадите, во кои растат дрвјата;
7. придобив слуги и слугинки, имав и слуги родени во домот мој; имав и крупен и ситен добиток, повеке од сите, што беа пред мене во Ерусалим;
8. насобрав сребро и залто и скапоцености од цареви и области; си доведов пеачи и пеачки и тоа, што ги насладува синовите човечки.
9. И така станав јас поголем и побогат од сите, што беа пред мене во Ерусалим; а и мудроста моја остана со мене.
10. Што и да посакаа очите мои, не им откажував, не му забравував на срцето свое никаква веселба, бидејки срцето мое се радуваше со сите мои трудови; и тоа ми беше дел од сите мои трудови.
11. И се обѕрнав, та погледнав на сите мои дела, што ги беа извршиле моите раце, и на трудот, со кој се бев трудел, извршувајки ги: и ете - се беше суета и мака за духот, и немаше од нив полза под сонцето!
12. Потоа се свртив да ги погледам мудроста, безумството и глупоста: што може да направи човек по царот, посебно од она, што е веке направено?
13. И видов, дека предимството на мудроста пред глупоста е токму такво, какво што е предимството на светлината пред темнината:
14. на мудриот очите му се во главата негова, а глупавиот оди во темнина; но дознав, дека крајот на сите им е еднаков.
15. Тогаш си реков во срцето свое: 'И мене ке ме стигне истото, како и глупавиот; Зошто толку многу сакав да станам мудар?' Па си реков во срцето свое дека и тоа е суета.
16. Зашто нема да го помнат мудриот вечно, како и глупавиот; по време се ке се заборави, и, мудриот умира, како и безумниот.
17. Тогаш го намразив животот, бидејки ми станаа одвратни работите, што се вршат под сонцето; зашто се е суета и измачување на духот.
18. И го намразив сето она, за кое се бев трудел под сонцето, затоа што треба да го оставам на човек, што ке дојде по мене.
19. И кој знае: мудар ли ке биде тој или глупав? А тој ке располага со сиот мој труд, со кој сум се трудел и со кој сум се покажал мударо под сонцето. Но и тоа е суета!
20. Намислив да му внушам на срцето свое да се откаже од сиот труд, со кој се бев трудел под сонцето,
21. зашто еден човек се труди мудро, со знаење и со успех, и сето тоа треба да му го предаде на човек, што не се трудел за тоа, - како да е негов дел. Па и тоа е суета и зло големо!
22. Оти, што му останува на човекот од сиот негов труд и од грижата на срцето негово, што се труди под сонцето?
23. Бидејки сите денови му се мачни, а трудивите негови - неспокојство; дури и ноке срцето негово не знае за мир. Ете, и тоа е суета!
24. И не е ли добро за човекот да јаде, да пие и да ја насладува душата своја од својот труд. Но јас видов, оти и тоа е од Божјата рака;
25. зашто, кој може да јаде, и кој може да се насладува без Бога?

26. Он му дава мудрост, и разум и радост на човека, кој е добар пред лицето Негово; а на грешникот му дава грижи, - да собира и трупа, за да го предаде потоа на оној, кој е добар пред лицето Божјо! Па, ете, и тоа е суета и мака за духот!

Глава 3

1. Се има свое време, и секоја работа под небото има свое време;
2. време кога ке се родиш, и време кога ке умреш; време кога садиш, и време кога го корнеш насаденото;
3. време кога се убива, и време кога се лекува; време кога се урива, и време кога се гради;
4. време кога се плаче, и време кога се смее; време кога се тагува, и време кога се игра;
5. време кога се расфрлуваат камиња, и време кога се собраат камења; време кога се прегрнуваш, и време кога се одбегнуваат прегратки;
6. време кога се добива, и време кога се губи; време кога се чува, и време кога се растура;
7. време кога се раскинува, и време кога се сошива; време кога се молчи, и време кога се зборува;
8. време кога се сака, и време кога се мрази; време за војна и време за мир.
9. Каква полза има оној што работи од она, над што се труди?
10. Ги видов работите, што Бог им ги даде на синовите човечки, за да се мачат онолу нив.
11. Сето она што Он го направил да биде прекрасно во свое време, и го вложи во срцата нивни, но да не може човекот да ги разбере докрај делата Божји што Он ги врши од почетокот до крајот.
12. Разбрав, дека за нив нема ништо подобро, освен да се веселат и да прават добро во текот на животот свој.
13. Кога сеој човек јаде и пие, и го гледа доброто во секој свој труд, тоа е дар Божји.
14. Разбрав, оти се, што прави Господ, останува засекогаш; кон тоа нема што да се додава, од тоа нема што да се одзема; а Бог прави така, за да се бојат пред лицето Негово.
15. Она што било, тоа е и сега, и она што ке биде, тоа веке било, - зашто Бог го врака она што изминало.
16. И уште видов под сонцето: место закон, а таму беззаконие; место правда, а таму неправда.
17. И си реков во срцето свое: 'Праведниот и нечесниот Бог ке ги суди, бидејки таму има време за секоја работа и суд за секое дело.'
18. Си реков во срцето свое и за синовите човечки - дека Бог ке ги испита, и Ке им покаже оти тие сами по себе се животни,
19. зашто се што се случува со синовите човечки, се случува и со животните; крајот им е ист: како умираат едните, така умираат и другите, и едно е дишењето кај сите, и човекот нема предимство пред добитокот, зашто - се е суета!
20. Се оди на едно место: се произлегува од земјата, и се ке се врати во земјата.
21. Која знае: дали духот на синовите човечки се качува горе, а духот на животните слегува долу, во земјата?
22. И така, јас видов оти нема ништо подобро за човекот, освен да се насладува со делата свои, бидејки тоа е негов дел; зашто, кој ке го доведе после да го погледа она, што ке биде по него?

Глава 4

1. Се свртив и ги видов сите неправди, што стануваат под сонцето; и ете, солзите она онеправданите, и утешител немаат силата е во рацете на клеветниците, а закрилник нема.
2. Па си реков: блазе им на умрените, што умреле одамна, отколку на живите, што живеат досега;
3. а поблажен е и од едните и од другите оној, што уште не постои, кој не ги видел лошите работи, што се вршат под сонцето.
4. А видов исто, дека секој труд и секој успех во работите предизвикува ме у лу ето заемна завист. Но и тоа е суета и мака за духот.
5. Глупавиот седи со скрстени раци и го гризе своето сопствено тело.
6. Подобро една рака во мир, отколку две со труд и мака во духот.
7. Се свртив и видов друга суета под сонцето:
8. човек осамен, нема друг; нема ни син, ни брат, а пак на сите работи негови крај нема, и очите негови не можат да се наситат со богатсто. 'За кого, пак, - вели тој - се трудам и ја лишувам од добра душата своја?' - Ете, и тоа е суета и лоша работа.
9. Подобро им е на двајца, отколку на еден, бидејки имаат добра награда за трудот свој.
10. Зашто, ако паден едниот, другиот ке го крене другарот свој. Но тешко на еден, ако падне, ке нема друг, кој да го крене.
11. Исто, кога лежат двајца, топло им е; а еден - како ке се згрее?
12. И, ако некој го надвие едниот, тоа двајца ке го навасаат, и јажето, трипати усукано, нема лесно да се скине.
13. Подобар е младич сиромав и умен, отколку цар - неразумен и стар, кој веке не умее да прима совети;
14. зашто младичот може да излезе од темница и да стане цар, иако се родил сиромав во царството.
15. Ги видов сите живи, што одат под сонцето, се потпираат на младич што ке го наследи неговото место.
16. Број немаше сиот оној народ, што беше пред него, иако подоцнежните нема да му се радуваат. И тоа е суета и мака во духот.

Глава 5

1. Чувај ја ногата своја, кога одиш во Божјиот дом, и биди готов повеке да слушаш, отколку да гледаш како безумните принесуваат жртви; зашто тие не знаат, оти вршат зло.
2. Не брзај со јазикот свој, и срцето твое да не брза да изговара зборови пред Господа; зашто Бог е на небото, а ти на земјата; затоа зборовите твои да не бидат многу.
3. Зашто, како што соништата доа аат при многу грижи, така и гласот на безумниот се познава од многуте зборови.
4. Кога даваш завет на Бога, не двоуми се да го извршиш, зашто Он не ги сака безумните: она што си ветил изврши го.
5. Подобро е да не ветуваш, отколку да ветиш и да не го извршиш.
6. Не и дозволувај на устата своја да го тера во грев телото твое и не говори пред Ангелот Божји: 'Тое е грешка!' зошто ти е да правиш така, и Бог да се разгневи на зборот твој и да го сотре делото на рацете твои?
7. Зашто, како во многуте соништа, така и во многуте зборови има суета; но затоа бој се од Бога.
8. Ако видиш некаде на сиромав да се врши неправда и да му се одзема судот на правдата, не чуди се на тоа: зашто над високиот гледа повисок, а над нив - уште повисок;
9. но од се покорисна е земјата; и царот на нивата и служи.
10. Кој го љуби среброто, со сребро нема да се насити, и кој сака богатство, тој нема да има корист од тоа. И тоа е суета!
11. Се зголемува ли имотот - се зголемуваат и потребите негови; и каква корист за сопственикот негов: зар само да гледа со очите свои?
12. Сладок е сонот за оној, кој се труди, - па јадел тој малку или многу; но прејадувањето не му дава на богатиот да заспие.
13. Има едно тешко зло, што сум го видел под сонцето: богатство, што се чува за зло на оној, чие е.
14. А тоа богатство може да се изгуби во негодно време, па на синот што го родил да не му остане ништо во рацете негови.
15. Како што излегол гол од мајчината утроба, така и си заминува, каков што дошол; ништо нема да земе од трудот свој, што би можел в рака да понесе.
16. Големо зло е тоа што оди како што дошол. Каква е, тогаш, ползата за него, кога се трудел залудо?
17. А тој во текот на целиот живот јадел во темно, и многу се грижел, ожалостувал и јадосувал.
18. Еве уште што најдов за добро и пријатно: да јаде и да пие и да се насладува од доброто на сите свои трудови, со кои се труди под сонцето преку сите дни од животот свој, што му ги дал Бог; зашто тоа е негов дел.
19. И, ако на некој човек Бог му дал богатство, и имот и му дал да се ползува од нив, да го зема својот дел и да се насладува од трудовите свои, - тоа е Божји дар.
20. Нема долго време да ги помни тој дните на животот свој; затоа Бог и го наградува со радоста на срцето.

Глава 6

1. Има едно зло, што го видов под сонцето, и често е ме у лу ето:
2. Бог му дава на човекот богатство, имот и слава, и за душата негова нема скудности во ништо, шти и да посака; но Бог не му дава нему да се ползува од тоа, туку се ползува од него друг човек: тоа е суета и тешко зло!
3. Ако некој изнароди сто синови, проживее многу години и уште му се зголемат дните на животот негов, а душата негова не се насладила на добро, та за него ке нема дури ни погреб, подобро му е, велам, на недоносенче отколку нему,
4. зашто залудо дошле и отишле во темнина, и името му е покриено со мрак.
5. Тое дури и не го видело и не го познало сонцето: но поспокојно е од оној.
6. А оној, макар и да проживеал и две иљади години, без наслада од добрата, нема ли да појде се на исто место?
7. Сиот труд на човекот е за устата негова, но душата негова не може да се насити.
8. А каква предност има умниот пред безумниот, каква - сиромавиот, кој умее да се однесува пред лу ето?
9. Подобро е да гледаш со очи, отколку да посакуваш со душата. И тоа е суета и мака за духот.
10. Она што постои, тоа е веке наречено со име, и се знае, дека е тоа - човекот, и дека тој не може да се препира со оној, што е посилен од него.
11. Има многу такви работи, што ја зголемуваат суетата: тогаш што е за човекот подобро?
12. Зашто, кој знае што е добро за човекот во животот, во текот на сите дни на неговиот суетен живот, што тој ги поминува како сенка? И кој ке му каже на човекот, што ке стане по него под сонцето?

Глава 7

1. Подобро е добар глас, отколку скапоцен елеј, и смртниот ден - од родениот ден.
2. Подобро е да одиш во кука каде што плачат по умрен, отколку да отидеш во кука, каде што се гоштева, зашто таков е крајот на секој чпвек, и животот ке го приложи тоа кон срцето свое.
3. Тагата е подобра од смеата; зашто, кога е лицето нажалено, срцето станува подобро.
4. на умните срцето им е во куката, каде што плачат, а на безумните во кука, каде што се веселат.
5. Подобро е да слушаш прекор од мудар, отколку да слушаш песни на безумен;
6. зашто смеата на безумните е како прскање на трње под котел. И тоа е суета!
7. Клеветењето го избезумува мудриот, а подароците го расипуваат срцето.
8. Крајот на една работа и подобар од почетокот нејзин; трпеливиот е подобар од горделивиот.
9. Не станувај со духот свој брз на гнев, зашто гневот почива во пазувите на безумните.
10. Не вели: 'Зошто поранешните дни биле подобри од сегашните?', оти не е мудро да прашуваш за тоа.
11. Добра е мудроста, како и наследството, особено за оние, што го гледаат сонцето,
12. зашто под нејзината сенка е исто, како под сенката на сребро; но предимството за знаење е тоа, што мудроста му дава живот на оној, што ја има.
13. Погледај ги Божјите дела: кој може да го исправи она, што Бог го направил криво?
14. Во добро време ползувај се со доброто, а во зли дни размислувај: едното и другото го направил Бог, за да не може човекот да каже ништо против Него.
15. Се нагледав на се во моите суетни дни: праведниот загинува во својата праведност; нечесниот живее долго во нечесноста своја.
16. не бивај строг и немој да се покажуваш за многу умен, за да ен с4е избезумиш.
17. Не се предавај на грев и не станувај жесток; зошто да умреш предвреме?
18. Добро е, ако се држиш за едното но и друго да не испушташ од раката своја; зашто, кој се бои од Бога, ке се избави од сето тоа.
19. Мудроста го крепи мудриот повеке од десет кнезови што се во градот.
20. Нема праведник на земјата, кој прави добро и никако да не греши;
21. затоа не обрнувај внимание на секој збор, што се кажува, за да не го чуеш и слугата свој, кога те навредува;
22. зашто срцето твое знае многу работи, кога и ти самиот си навредувал други.
23. Сето тоа го испитав со мудрост; јас реков: 'Ќе бидам мудар', но мудроста е далеку од мене.
24. А она што е така далеку и многу длабоко: кој ке го испита?
25. Се свртив со срцето свое, за да ги дознаам, изучам и истражам мудроста и разумот, и да го познаам безумието на нечестивиот, и жестокоста и лукавството,
26. и најдов, дека погорчливо до смртта е жената, зашто таа е мрежа, срцето нејзино - стапица, рацете најзини - окови; добриот пред Бога ке се спаси од неа, а грешникот ке биде уловен од неа.
27. 'Ете, тоа најдов јас - рече Проповедникот - испитувајки едно по друго.'
28. Што уште бараше душата моја, и не го најде? - Маж најдов еден на иљада, но жена ме у сите нив не најдов.
29. Само, ете, тоа го најдов, дека Бог го прави човекот добар, но лу ето се впуштаат во многу мудрувања.

Глава 8

1. Кој е како мудриот, и кој го разбира значењето на работите? Мудроста на човек му го просветлува лицето негово, и строгоста на лицето негово се изменува.
2. Јас ти велам: пази го царскиот збор, и тоа - поради клетвата пред Бога.
3. Не брзај да бегаш од лицето негово и не биди тврдоглав во лошите работи; зашто, тој што ке посака, се може да направи.
4. Каде што е зборот на царот, таму е и власта; и кој ке му каже: 'Што правиш?'
5. Кој пази заповед, тој не доживува никакво зло: срцето на мудриот знае и време и наредба;
6. зашто за секоја работа има свое време и свој суд; а човека го обвинува неговото недело,
7. зашто не знае, што ке биде и како ке биде тоа - кој ке му каже?
8. Ниеден човек нема власт над духот, за да го подржи духот, и нема власт над смртниот ден, нема избавување во таа работа, ни нечесниота нема да го спаси нечесниот.
9. Сето тоа го видов, и го свртувам срцето свое кон секоја работа, што се врши под сонцето. Понекогаш човекот господари над човек на своја штета.
10. Видов тогаш како погребуваат нечесни, и оние што доа аа од своето место беа пофалени во градот, што така постапија. И тоа е суета!
11. Бидејки не се врши суд над лоши работи, затоа не се плаши срцето на синовите човечки од прави зло.
12. Иако некој грешник врши стопати зло, судот му се одолжува; но јас знам, дека ке им биде добро само на оние, што се бојат од Бога, кои имаат страв пред лицето Негово;
13. а за нечесниот нема да има добро, и како сенка, само кратко време, ке преуспее оној, кој не се плаши пред Бога.
14. Има и таква суета на земјата: праведните ги постигнува она, што би ги заслужиле делата на нечесните, а со нечесните станува она, што би го заслужиле делата на праведните. А јас си реков: и тоа е суета!
15. И ја пофалив јас веселбата; зашто нема подобро за човекот под сонцето, освен да јаде, да пие и да се весели: тоа го придружува човекот во трудовите негови преку дните на животот негов, што му го дал Бог под сонцето.
16. Кога го управив срцето свое кон тоа, да постигнам мудрост и да ги разгледам работите, што се вршат на земјата, така што на човекот да не му доа а сон ни дење ни ноке, -
17. тогаш ги видов сите дела Божји и најдов, оти човекот не може да ги сфати работите, што се вршат под сонцето. Колку и да се труди човекот да ги испитува, пак нема да го постигне тоа.

Глава 9

1. И сево ова го ставив во срцето свое, за да испитам, дека праведниците и мудреците и нивните дела се во рацете Божји, и дека човекот не знае ни за љубов, ни за омраза во сето тоа, што е пред него.
2. За секој и за сите е едно: една судбина за праведен и неправеден, за добар и лош, за чист и нечист, како и оној кој принесува жртви и за оној кој не принесува; како и за добар, така и за грешник; како и за оној што се колне, така и за оној што се бои од клетва.
3. Токму тоа е најлошо од се, што се врши под сонцето, дека еден е крајот за сите, па затоа срцето на синовите човечки е полно со зло, и безумие има во срцето нивно додека се живи; а потоа тие умираат.
4. Кој е ме у живите, има уште надеж, бидејки и куче живо е подобро, отколку мртов лав.
5. Живите знаат, дека ке умрат, а мртвите ништо не знаат, и веке за нив нема награда, зашто и споменот за нив е предаден на заборавот,
6. и љубовта нивна, и омразата нивна и љубомората нивна веке исчезнале, и ке немаат дел довека во ништо, што станува под сонцето.
7. И така, оди, јади го радосно лебот свој и пиј го со радосно срце виното свое, што Бог има наклоност кон твоите дела.
8. Во секое време облеката да ти биде светла, и секогаш да има елеј на главата твоја.
9. Во сите дни на својот суетен живот насладувај се од животот заедно со жената, која ја сакаш, и кој ти ја дал Бог под сонцето за сите твои суетни дни; зашто, тоа е твој дел во животот и во твоите трудови, со кое се трудиш под сонцето.
10. Се, што може да врши раката твоја, според силите свои, врши; зашто во гробот, каде што ке појдеш, нема ни работа, ни размислување, ни знаење, ни мудрост.
11. И пак видов под сонцето дека на брзите не им е до трчање, ниту на храбрите до борба, ниту на мудрите до леб, ниту на разумните - богатсто, ниту на искусните благонаклоност, но времето и прликите им помагаат на сите нив.
12. Зашто човек не си го знае времето. Како што рибите налетуваат во погубна мрежа, и како што птиците се заплеткуваат во примки, така и синовите човечки се уловуваат во тешко време, кога тоа неочекувано ке дојде за нив.
13. Еве уште каква мудрост видов под сонцето, и таа ми се причини голема:
14. мал град и во него малку лу е; дојде против него голем цар, го опколи и почна против него да прави голем окопи;
15. но во него се најде човек сиромав, но умен, и тој со својата мудрост го спаси тој град; и при сето тоа никој не се сети за тој сиромав.
16. И јас си реков: мудроста е подобра од силата, и при сето тоа што мудроста на сиромавиот се пренебрегнува, и зборовите негови не се слушаат.
17. Зборовите на мудреци, искажани спокојно, се ислушуваат подобро, отколку викањето на оној што заповеда.
18. Мудроста е подобра од воено оружје; но оној којшто ке згреши, расипува многу добро работи.

Глава 10

1. Мртвите муви го расипуваат и го усмрдуваат благопријатното масло на мироварец: истото го прави една мала глупост на уважуван човек за неговата мудрост и чест.
2. Срцето на мудриот е десно, а срцето на глупавиот - лево.
3. По каков и да било пат да оди глупавиот, кај него секогаш недостига смисла, и пред секого тој ке се покажува дека е безумен.
4. Ако гневот на оној што владее избувне врз тебе, не напуштај го местото свое, зашто кроткоста избришува и големи грешки.
5. Има зло што сум го видел под сонцето, како грешка што доа а од владетелот;
6. неукоста се поставува на голема височина, а богатите седат ниско.
7. Сум видел слуги на коњи, а кнезови да одат пешки како слуги.
8. Кој копа јама, сам ке падне во неа, и кој соборува ограда, змија ке го касне.
9. Кој крева камења, може да се шине, и кој цепи дрва, може да се изложи на опасност од нив.
10. Ако отапи секирата, и ако сечилото нејзино не биде наострено, ке треба повеке сила; мудроста знае тоа подобро да го направи.
11. Ако змија казне пред да се улови, тогаш за оној што ја лови нема полза.
12. Зборовите од уста на мудрец се благодат, а устата на безумниот самиот него го погубува:
13. првите зборови од устата му се глупост, а крајот на речта на устата негова - лошо безумие.
14. Глупавиот зборува многу, а човекот и не знае што ке биде; та и кој ке му каже, што ке биде по него?
15. Трудот на глупавиот го изморува, зашто не го знае дури ни патот за во градот.
16. Тешко тебе, земјо, кога царот твој е дете, и кога кнезовите твои јадат рано!
17. Блазе тебе, земјо, кога царот ти е од род благороден, и кнезовите твои јадат навреме, за поткрепа, а не за преситување!
18. Од мрзливост ке нависне таванот, и кога ке се скрстат рацете, покривот ке прокапе.
19. Гоштевања се приредуваат заради наслада и виното го весели животот; а се прави среброто.
20. Дури и во мислите свои не го навредувај царот, и во спалната своја не го навредувај богатиот; зашто небесната птица може да го пренесе твојот збор, и се што има крила ке го соопшти твојот збор.

Глава 11

1. Пуштај го лебот свој по водите, зашто по многу дни пак ке го најдеш.
2. Давај дел на седум душ, и дури на осум, зашто не знаеш, какво зло ке настане на земјата.
3. Кога ке се наполнат обалците, излеваат дожд на земјата; и ако едно дрво падне кој југ или кон север, тоа си останува таму, каде што и паднало.
4. Кој го набљудува ветрот, нема да сее, и кој гледа во облаците, нема да жнее.
5. Како што не ги знаеш патиштата на ветрот, ниту како настануваат коските во утробата на бремена жена, така не можеш да ги знаеш ни делата на Бога, Кој создава се.
6. Исутрина сеј го семето и навечер нека ти мируваат рацете твои, зашто не знаеш, едното, или другото повеке ке успее, или едното и другото ке бидат еднакво добри.
7. Слатка е светлината, и пријатно е за очите да гледаш сонце.
8. Ако човек проживее и многу години, нека се весели во текот на сите нив и нека си спомнува за темните дни, какви што ке ги има многу: но се што ке биде, ке биде суета!
9. Весели се во малдоста своја, момче, и срцето твое да вкусува радост во дните на твојата младост; и оди каде што срцето те влече и каде што очите ти гледаат; само знај, дека за сето тоа Бог ке те изведе на суд.
10. Гони ја скрбта од срцето свое и отстранувај го злото од телото свое, зашто детството и младоста се суета!

Глава 12

1. И спомнувај си за твојот Творец во дните на младоста своја, додека не дошле тешки денови не настанале години, за кои ке речеш: 'Не ми се мили;'
2. додека сонцето и светлината на месечината и на ѕвездите не потемнеле, и не дошле пак црни облаци по дождот;
3. додека не настапил оној ден, кога кукните стражари ке затреперат, и силни мажи ке се подгрбават, кога воденичките ке престанат да мелат, бидејки останале малку; кога ке се помрачат ониe, што гледаат низ прозорец;
4. кога портата ке почне да се затвора; кога ке молкне шумот на ониe што мелат, и кога човек ке почне да станува на птичји глас, и керките - пеачки ке замолкнат;
5. кога височините за нив ке бидат страшни, и по патот ке има ужаси; кога ке процути бадемот, и скакулецот ке стане тежот, и желбата ке помине; зашто човекот заменува во вечниот дом свој, и тажачките се готови да го опкружуваат по улица;
6. додека не се скине конецот сребрен, и не се скрши златната чаша, и не се растури ведрото при изворот, и не падне тркалото на бунарот.
7. И ке се врати правот во земјата, како што си бил; а духот ке се врати кај Бога, Кој го дал.
8. Суета над суетите, вели проповедникот, се е суета!
9. Проповедникот не само што беше мудар, туку и го учеше народот на мудрост. Тој се испитуваше, изучуваше и остави многу мудри паримии.
10. Проповедникот се трудеше да најде убави изреки и точно ги запиша зборовите на вистината.
11. Зборовите на мудреците се како острени, и како забиени клинци; зборовите на ониe што ги напишаа, дадени се од единствениот Пастир.
12. А освен сето тоа, синко, пази се и од ова: да пишуваш многу книги - тоа нема крај, а да читаш многу - и тоа е заморно за телото.
13. А суштината на се е: бој се од Бога и пази ги неговите заповеди, зашто сето тоа е за човекот;
14. оти Бог ке изведе на суд секоја работа и што е тајно, било да е добро или лошо.

# Песна над песните

Глава 1

1. Соломоновата Песна над песните
2. Возљубената: Да, сакам да ме целиваш со бакнежи на устата своја! Зашто твоите милувања се подобри од виното.
3. Од пријатниот мирис на твоите масла името ти е како разлеано миро; затоа те сакаат момите.
4. Поведи ме, да побрзаме; царот ме воведува во одаите свои, - ке се восхитуваме и ке се радуваме со тебе, ке ги фалиме твоите милувања повеке од вино. Навистина те сакаат!
5. Ќерки ерусалимски, црна сум но сепак сум убава како шаторите кидарски, како Соломонови завеси.
6. Не гладајте ме оти сум црномурна, зашто сонцето ме подгорело: мајчините синови и се налутија, ме поставија да ги чувам лозјата - но своето сопствено лозје не го зачував.
7. Кажи ми ти, кого го сака душата моја: каде го пасеш стадото, каде пладнуваш? Зошто да бидам како скитник крај стадата околу твоите другари?
8. Хорот: Ако не го знаеш тоа, о, најубава ме у жените, тогаш оди си по овците свои и паси ги јарињата покрај пастирските шатори.
9. Возљубениот: Ти си ми, драга моја, како кобилка во фараонова двоколка.
10. Прекрасни се твоите образи под обетките, вратот твој - со ерданите;
11. Ќе ти направам златни обетки со сребрени топчиња.
12. Возљубената: Додека царот беше крај трпезата, народот мој го испушташе својот пријатен мирис.
13. Смирнова китка е мојот возљубен: стои ме у градите мои.
14. Мојот возљубен ми е како кипарисов грозд во Енгедските лозја.
15. Возљубениот: О, убава си, мила моја, убава си! Имаш очи гулабови.
16. Возљубената: О, убав си, мил мој, прекрасен си! И постелата наша се зеленее.
17. Возљубениот: Покривите на куките ни се кедри, штиците наши - кипариси.

Глава 2

1. Возљубената: Јас сум саронски нарцис, долински крин!
2. Возљубениот: Она што е кринот ме у трњето, тоа е мојата возљубена ме у момите.
3. Возљубената: Она што е јаболкницата ме у шумските дрвја, тоа е мојот возљубен ме у момците. Посакав сенка нејзина, и седнав; плодовите нејзини се слатки за грлото мое.
4. Тој ме воведе во куката за гозба, и знамето негово над мене беше љубов.
5. Поткрепете ме со сочни гроздови, освежете ме со јаболка, зашто сум болна од љубов.
6. Левата рака негова ми е под главата, а со десната ме прегрнува.
7. Возљубениот: Ве заколнувам керки ерусалимски, во срцните и во полските кошути: немојте да ја разбудувате и да ја вознемирувате возљубената, додека сама не посака.
8. Возљубената: Гласот на мојот возљубен, еве, го: доа а, скока преку фиданките по горите, прескокнува преку ридовите.
9. Мојот возљубен прилега на срна, на млад елен. Ете, стои зад ѕидот наш, погледнува низ прозорецот, ѕирка низ решетката.
10. Мојот возљубен се огаси и ми рече: 'Стани, мила моја, убавице моја, дојди!
11. Еве, зимата веке мина, дождот го снема, престана веке,
12. цвекињата се појавија по земјата; настана време за кроење лози, и гласот на гугутката се слуша во земјата наша;
13. смокрите ги отворија пупките свои, и расцутените лози пријатно мирисаат. Стани, мила моја, убавице моја, и дојди!
14. Гулабице моја во карпест пролом, под камено засолниште, покажи ми го лицето свое, дај ми да го чујам гласот твој, зашто гласот ти е ѕвонлив, и лицето ти е прекрасно.
15. Фатете ни ги лисиците, лисичињата, оти тие ги пустошат лозјата, а лозјата ни цутат.
16. Мојот возљубен е мој, јас, пак, сум - негова; тој го пасе стадото ме у кринови.
17. Додека денот не измине и сенките ги снемува, врати се, мил мој, и биди како срна, како млад елен, по горите што не разделуваат.

Глава 3

1. Ноква во леглото мое го барав оној, кога го сака душата моја, го барав и не го најдов.
2. Затоа ќе станам, ќе тргнам по градот, по улиците и плоштадите, и ќе го барам оној, кого душата моја го сака. Го барав, но не го најдов.
3. Ме сретнаа стражарите, што го обиколуваат градот: 'Дали го видовте - ги прашав - оној, кого душата моја го сака?'
4. Но, штом ги одминав, го најдов оној, што го сака душата моја, се фатив за него цврсто и не го пуштив, додека не го одведов во куќата на мојата мајка и во одајата на родителката своја.
5. Возљубениот: Ве заколнувам, керки ерусалимски, во срните и полските кошути: немојте да ја вознемирувате возљубената, додека сама не посака.
6. Хорот: Што е таа, која се издига од пустињата како столб од дим, што мириса на смирна и темјан, и на секакви пријатни мириси?
7. Еве ја носилката - на Соломона: околу неа шеесет души јунаци ме у кои јунаците Израилеви.
8. Сите држат по еден меч и се вешти во борба; секој има меч на бедрото свое поради ноќниот страв.
9. Носилка си направил царот Соломон од ливанско дрво;
10. скалата ја направил од сребро, оградите нејзини се од злато, седиштето - порфир; внатрешноста со љубов ја украсиле керките ерусалимски.
11. Излезете, керки сионски, и погледајте го цар Соломона со венецот, со кој го украсила мајката негова во денот на свадбата негова, во радосниот ден за срцето негово.

Глава 4

1. Возљубениот: О, убава си, љубов моја, убава си! Очите твои се гулабови под твојот превез; косата ти е како стадо кози, кога слегуваат од Галадската гора;
2. забите твои - како стадо истрижени овци, кога излегуваат од капење, од кои секоја има по две јагниња, и без јагне нема ниедна;
3. усните твои - како алова панделка, а устата твоја слаткоречива; твоите јаготки под превезот твој се како половинки од калинка;
4. вратот ти е - како Давидовата кула, изградена за оружје: на неа висат иљадници штитови - се штитови на јунаци;
5. двете твои гради се како близначиња од млада срна, кои пасат ме у кринови.
6. Додека денот на залади, и не одминат сенките, ке одам на смирновата гора и на темјановиот рид.
7. Цела си убава, мила моја, и дамка нема на тебе!
8. Слези со мене од Ливан, невесто, слези и дојди од Ливан, од врвот на Аман, од врвот на Сенир и Аермон, од лавовските пештери, од леопардовите гори!
9. Ти го освои срцето мое, сестричке невесто, го плени срцето мое со еден поглед на очите свои и само со веришката на вратот свој.
10. О, колку е слатка љубовта твоја сестричке невесто! Послатка е љубовта твоја од вино, и пријатниот мирис од твоите масла е попријатен од сите ароми.
11. Од устата твоја капе восочен мед, невесто, мед и млеко под јазикот твој, и мирисот на облеката твоја е како мирис ливански!
12. Затворена градина е мојата сестричка невеста, извор затворен, кладенец запечатен;
13. твојот насад е градина од дрвја во вкусен плодови, кипар и нард,
14. нард и шафран, трска и цимет со секакви пријатно - мирисни дрвја, смирна и алој со најубави ароми,
15. ти си градински извор, кладенец од жива вода, што истечува од Ливан.
16. Возљубената: Подигни се, ветре, од север, повеј и ти, ветре, од југ и повеј над градината моја, за да прострујат аромите нејзини! Нека дојде мојот возљубен во градината своја и нека касне од слатките плодови свои.

Глава 5

1. Возљубениот: Дојдов во градината своја, сестричке невесто, ја обрав смирната моја и мирисите мои, ги јадев медените питки до мојот мед, го пиев виното со моето млеко. Јадете, пријатели, пијте и насиете се, мили мои!
2. Возљубената: Спијам, но срцето мое е будно; ете го гласот на мојот возљубен, кој чука: 'Отвори ми сестро, мила моја гулабице моја, совршена моја, зашто главата моја е целата со роса покриена, и косата моја - со нокна влага.
3. Го соблеков хитонот свој, пак ли да го облекувам? Сум ги измил нозете свои, како да ги валкам?'
4. Мојот возљубен ја протегна раката низ отворот, и срцето мое затрепери од него.
5. Станав да му отворам на мојот возљубен; од рацете ми капеше смирна, од прстите мои пријатен мирис на смирна врз држката од клучалката.
6. Му отворив на мојот возљубен, а мојот возљубен си беше отишол. Душата ми премре, додека тој говореше; го барав, но не го најдов; го викав, но не ми се јавуваше.
7. Ме сретнаа стражарите, што го обиколуваа градот, ме натепаа, ме изнаранија; ми го симнаа превезот оние, што ги чуваа ѕидиштата.
8. Ве заколнувам, керки ерусалимски! Ако го сретнете мојот возљубен, кажете му, дека изнемошувам од љубов.
9. Хорот: Со што е твојот возљубен подобар од другите возљубени, о, најубава ме у жените? Во што твојот возљубен е подобар од другите, па така не заколнуваш?
10. Возљубената: Мојот возљубен е бел и румен, избран ме у десет иљади други;
11. главата негова - чисто злато; кадрите негови - брановидни, црни како гавран;
12. очите негови - како гулаби крај водни потоци, што се капат во млеко, што стојат задоволни;
13. образите негови - ароматен цветник, леи со миризливи билки; усните негови - кринови од кои капе чиста смирна;
14. рацете негови - златни валци, опсипани со топази; стомакот негов - како сад од слонова коска, обложен со сафири;
15. нозете негови - мермерни столбови, поставени врз златни подлоги; изглед има како Ливан, величествен е како кедар;
16. устата негова - сладост, и целиот тој е пожелен. Ете, кој е мојот возљубен, и ете, кој е пријателот мој, керки ерусалимски.
17. Хорот: Каде отиде твојот возљубен, о, најубава ме у жените? Каде скришна твојот возљубен? Ние ке го побараме со тебе.

Глава 6

1. Возљубената: Мојот возљубен отиде во градината своја, во ароматните цветници, за да пасе во градината и да бере кринови.
2. Јас му припа ам на мојот возљубен, а мојот возљубен мене; тој пасе ме у криновите.
3. Возљубениот: Убава си, мила моја, како Тирса, прекрасна - привлечна како Ерусалим, страшна како војска со знамиња.
4. Тргни ги очите од мене, зашто ме збунуваат. Косата ти е како стадо кози, кога слегуваат од Галад;
5. забите ти се како стадо овци, кога излегуваат од капење, од кое секоја е со по две јагниња, и јалова ме у нив нема,
6. твоите образи под превезот твој се како две половинки од калинка.
7. Има шеесет царици, осумдесет наложници и безброј моми,
8. но единствена е таа, гулабицата моја, совршената моја; единствена е таа на мајка си, избрана кај родитеката своја. Ја видоа момите, и ја возвеличија, ја видоа и царициte вљубената, и ја пофалија.
9. Хорот: 'Која е таа, што болска како зора, убава како месечина, светла како сонце, страшна како војска со знамиња?'
10. Слегов во ореовата градина да погледнам зелена долина, да видам дали се развила лозата, дали процутеле калинките. Таму ке ти ги дадам усните мои.
11. Не знам, како душата да ме влече кон колите на големците од мојот народ.
12. Хорот: Сврти се, сврти се Суламко, сврти се, сврти се, да те погледаме! Возљубениот: Зошто сакате да ја гледате Суламка, како на оро манаимско?

Глава 7

1. Хорот: О, колку се убави нозете твои во сандали, керко знаменита! Облите колкови твое се како веришки, дело од рацете на вешт уметник,
2. папкот ти е како чаша тркалезна, никогаш без арома; утробата твоја - купа пченица, опкружена со кринови;
3. двете твои гради - како две јаренца, како близначиња на срна;
4. Вратот твој - како столб од слонова коска; очите твои - Есевонски езерца кај Ватравимските порти; носот твој - Ливанска кула, свртена кон Дамаск;
5. главата твоја на тебе - како Кармил; а косата на главата твоја - како пурпур; цар се вплел во плетенките.
6. Возљубениот: О, колку си убава, о, колку заносна, возљубена моја, со твојата убавина!
7. Таа твоја снага прилега на палма, а твоите гради - на гроздови.
8. Си помислив: да се качев на палма, би се фатил за ветките нејзини; и твоите гради би биле место гроздови, и мирисот од твоите ноздри - како мирис на јаболко;
9. устата твоја е како најдобро вино. Возљубената: Тоа тече право кон возљубениот мој, и тече нечујно преку усните кои спијат.
10. Јас припа ам на возљубениот мој, и тој копнее по мене.
11. Дојди, мил мој, да излеземе во полето, да пренокеваме по селата;
12. утре рано ке појдеме во лозјата, да видиме дали потерала лозата, дали се отвориле пупките, процутеле ли калинките; таму ке те опсипам со милувања.
13. Мандрагорите веке шират пријатен мирис, и до вратата наша има секакви најубави плодови, нови и стари; кои ги зачував за тебе, мил мој!

Глава 8

1. О, да ми беше брат мој, да беше хранет од градите на мајка ми! Тогаш, кога ке те сретнев на улица, ке сакав да те бакнам, и немаше да ме осудуваат.
2. Би сакала да те поведам, сакав да те воведам во одајата на мајка ми, во онаа каде што ме одгледала. Ти ке ме учеше, а јас, пак, ке те поев со ароматно вино, со сок од моите калинки.
3. Левата рака негова е под главата моја, а со десната ме прегрнува.
4. Возљубениот: Ве заколнувам, керки ерусалимски, зошто да ја разбудувате и зошто да ја вознемирувате возљубената, се додека сама не посака?!
5. Хорот: Која е таа, што доа а од пустињата, потпирајки се на својот возљубен? Возљубениот: Те разбудив јас под јаболкницата: таму те родила мајка ти твоја, таму те добила твојата родителка.
6. положи ме како печат на срцето свое, како печат на мишката своја, зашто љубовта е силна како смрт; љубомората - лута како пекол; стрелите нејзини се стрели огнени; огнен жар на нејзиниот пламен.
7. Големата вода не може да ја угасне љубовта, и реки нема да ја потопат. Ако некој го дадеше сето богатство на својот дом за љубов, тој би бил отфрлен со презир.
8. Хорот: Имаме сестра, која е уште мала: уште нема гради; што ке правиме со сестрата наша, ако дојдат по неа сватови?
9. Да беше карпа, ке изградевме врз неа и дворци од сребро; да беше врата, ке ја обложевме со кедрови штици.
10. Возљубената: Јас сум карпа и имам гради како кула; затоа во очите негови јас станав како онаа што нашла мир.
11. Хорот: Соломон имаше лозје во Ваал-Хамон; тој им го предаде тоа лозје на чувари; секој беше должен да даде за плодоивте негови иљада сребреници.
12. Возљубената: А моето лозје си е кај мене. Иљадата нека се за тебе, Соломоне, а двесте - за чуварите на плодовите негови.
13. Возљубениот: Жителко на градините, другарите го слушаат гласот твој. Дај и јас да го послушам.
14. Возљубената: Побрзај мил мој, и биди како срна и како еленче по гори мирисни!

Исаија

Глава 1

1. Видение на Исаија, синот Амосов, кое го виде за Јудеја и Ерусалим, во деновите на јудејските цареви Озија, Јоатам, Ахаз и Езекија.
2. Чујте, небеса, и слушај, земјо, зашто Господ вели: 'Јас воспитав и подигнав синови, а тие се побунија против Мене.
3. Волот го познава стопанот свој, и оселот - јаслите на господарот свој, а Израилот не Ме познава, Мојот народ не разбира.'
4. Ах, народе грешен, народ претрупан со беззаконија, племе за злодејци и синови погубни! Го оставивте Господа, Го презревте Светецот Израилев, - се вративте назад.
5. Каде уште да ве бијат вас, кои се уште се противставувате? Целата глава ви е во рани, и целото срце ви е изнемоштено.
6. Од главата до петите нема во тој народ здраво место, сињаци, гнојни рани, нечистени, непреврзани и неомекнати со елеј.
7. Замјата ви е опуштошена, градовите ви се изгорени со оган; нивите ваши пред ваши очи ту инци ги јадат; и пустош е, како што запустуваат ту инци.
8. Остана керката Сионова како колиба во лозје, како сеница во градина, како опсаден град.
9. Да не беше ни оставил Господ Саваот мал остаток, ке бевме исто така како Содом, ке заприлегавме на Гомор.
10. Чујте го словото Господово, кнезови содомски, вслушајте се во законот на нашиот Бог, народе гоморски!
11. 'Зашто ми се многуте ваши жртви - вели Господ. Презаситен сум од сепаленици на овни и од маснотија на згоен добиток; крв од телињата, од јагниња и јариња не сакам.
12. Кога доа ате да се јавите пред лицето Мое, кој ви бара да ги газите дворовите Мои?
13. Не принесувајте веке суетни жртви; кадењето е одвратно за Мене; новомесечија, саботи и празнични собранија не можам да трпам: беззаконие - и празнувања...?
14. Душата Моја ги мрази вашите новомесечија и вашите празници: тие се товар за мене, тешки Ми е да ги носам.
15. И кога протегате раце, Јас ги кријам од вас очите Свои, а кога ги умножувам молбите свои, Јас не слушам: рацете ваши се полни со крв.
16. Измијте се, исчиетете се; иставете ги од очите Мои лошите дела свои; престанете да правите зло;
17. научете се да правите добро, барајте правда, спасувајте угнетен, заштитувајте сирак, застапувајте се за вдовица.'
18. Тогаш дојдете и ке се пресуди, вели Господ. Гревовите ваши да се и како бакам, - како снег ке ги побелам; да бидат црвени и како пурпур, - како волна ке станат бели.
19. Ако Го барате и послушата, ке ги јадете добрата земни;
20. ако, пак, не сакате и се противставувате, меч ке ве истреби, тоа го рече устата Господова.
21. Како правичниот верен град Сион стана блудница? Во него царуваше правда, а сега престојуваат убијци.
22. Среброто ти стана како згура, виното ти е со вода помешано;
23. твоите кнезови се престапници на законот и соучесници на крадци; сите тие сакаат подароци и лакомат за награда; не заштитуваат сирак, и поплака на вдовица не стигнува до нив.
24. Затоа вели Господ, Господ Саваот, Силниот Израилев: 'О, ке ја истурам јароста на противниците Свои и ке им се одмаздам на непријателите Свои!
25. и ке ја свртам против тебе раката Своја и како во пепелница ке ја исчистам од тебе смешата и ке ги одделам од тебе се што е оловно;
26. и пак ке поставам судии, како порано, и советници како отпрвин; тогаш ке говорат за тебе: град на правда, верна престолнина!
27. Сион ке се спаси преку праведен суд, и обратените негови - преку правдата;

28. за сите отстапници и грешници - погибел, а оние, што го оставиле Господа, ке бидат истребени.
29. Тие ке бидат посрамени заради младите шуми, толку многу сакани од вас, ке црвенеат од срам заради градините што сте си ги избрале;
30. зашто вие ке бидете како дабот, чиј листа паднал и како градина, во која нема вода.
31. И силниот ке биде отпадок, а делото негово искра; ке горат заедно, - и никој нема да ги угасне.'

Глава 2

1. Слово, откриено во видението на Амосовиот син Исаија, за Јудеја и Ерусалим.
2. И ете, во последните дни гората на домот Господов ке биде поставена на врвот од планините и ке се возвиси над ридовите, ке појдат кон неа сите народи.
3. Ке тргнат многу народи и ке речат: 'Дојдете, да се искачиме на гората Господова, во домот на Бога Јаковов; Он ке не научи на Своите патишта, и ке одиме по патеките Негови; зашто од Сион ке излезе законот, и од Ерусалим - словото Господово.'
4. И ке им суди Он на народите и ке изобличи многу племиња; ке ги прековаат мечевите свои во плугови, а копјата свои - во српови: народ против народ нема да крене меч и нема поеке да се учат на војна.
5. О, доме Јаковов! Дојдете, ке одиме во Господовата светлина.
6. Но Ти го отфрли Својот народ, домот Јаковов, зашто тие примија многу од источните зла и маесници си имаат како Филистејците, и општат со синови на ту инци.
7. Се исполни земјата негова со злато и сребро, богатствата крај немаат; се исполни земјата негова со коњи, колите негови број немаат.
8. Се исполни земјата негова со идоли: тие се поклонуваат на изработка од своите раце, на она што нивните прсти го направиле.
9. Си поклонува ли човек, и се понижува ли маж - не простувај им.
10. Влези во карпата и сокриј се во земјата од страв пред Господа и од славата на Неговото величие.
11. Ничкум ке паднат гордите погледи човечки, и она, што е високо кај лу ето, ке се понизи; а само Господ ке стои високо во тој ден.
12. Зашто иде денот на Господа Саваот против се што е гордо и надуено и против се што е превознесено, - и тоа ке биде понизено, -
13. против сите кедри ливански, високи и величествени, и против сите дабови васански,
14. против сите високи гори и против сите ритчиња што се издигаат,
15. против секоја висока кула и против секоја цврста ѕидина,
16. против сите тарсиски кораби и против сите нивни украси.
17. И ке падне човечкото величие, она што е високо кај лу ето ке се понизи; само Господ ке стои високо во тој ден,
18. а идолите сосема ке исчезнат.
19. И ке влезат лу ето во карпести пештери и во земни јами од страв пред Господа и од славата на неговото величие, кога ке се крене Он да ја разруши земјата.
20. Во тој ден човекот ке ги фрли своите сребрени и своите златни идоли, што ги направил за да им се клања,
21. за да влезе во камени процепи и во планински долови од страв пред Господа и од славата на Неговото величие, кога ке се крене Он да ја разруши земјата.
22. Престанете да се надевате на човек, чие дишење е во ноздрите негови, зашто - што знае тој?

Глава 3

1. Ете, Господ, Господ Саваот ќе го одземе од Ерусалим и од Јуда жезалот и помошта, секоја поткрепа во леб и вода,
2. храбар водач и војник, судија и пророк, јасновидец и старец,
3. петдесетник и големец, советник, мудар уметник и вешт гатач.
4. Ќе им дадам момчиња за началници, и деца ќе владеат над нив.
5. а во народот еден ќе угнетува друг, и секој својот ближен; момче бесрамно ќе се прави голем пред старец и простак - пред големец.
6. Тогаш човек ќе се фати за братот свој, во челадта на татка си свој и ќе рече: 'Ти имаш облека, биди ми водач, и овие урнатини нека бидат под твоја рака.'
7. А тој со клетва ќе рече: 'Не можам да ги излекува раните на народот; и во мојата кука нема ни леб, ни облека: не правете ме водач на народот.'
8. Така пропаднал Ерусалим, и падна Јуда, зашто јазикот нивни и делата нивни се против Господа, навредливи пред очите на Неговата слава.
9. Изразот на лицето нивно сведочи против нив, а за гревот свој тие кажуваат отворено, како содомците, не кријат: тешко на душата нивна! Сами на себеси навлекуваат зло.
10. Кажете му на праведникот: 'Блазе му, зашто тој ќе ги јаде плодовите на делата свои;
11. а на беззаконикот - тешко нему, оти ќе има отплата за делата на рацете свои.
12. Притеснители на Мојот народ се децата, и жени вадеат над него. Народе Мој, твоите воедачи те доведуваат до заблуда и го растуриле патот, по кој одиш.'
13. Се крена Господ на суд - и стои, за да им суди на народите.
14. Господ влегува во суд со старешините на Својот народ и со неговите кнезови: вие го опустошивте лозјето; ограбеното од сиромасите е во вашите куќи.
15. 'Зошто го притеснувате народот Мој и ги угнетувате сиромасите?' вели Господ, Господ Саваот.
16. Потоа рече Господ: 'Поради тоа што ќерките сионски се гордеат и одат со исправени вратови, што освојуваат со погледите, и ситно одат и со веришки на нозете тропкаат.'
17. Господ ќе го оголи темето на ќерките сионски, и ќе го открие срамот нивни;
18. во оној ден Господ ќе ги одземе убавите веришки на нозете, секакви ѕвездички и месечинки,
19. обетки, ерданчиња и ладила,
20. превези, гривни и појаси, стакленца со мириси и уметнички украси,
21. прстење и алки за нос,
22. горна облека и долна, шамичиња и уметнички украси,
23. светли тенки наметки, забратки и покривала.
24. И наместо пријатен мирис ќе има смрад и место појас - јаже, место кадрени коси - ќелави глави, неместо широка наметка - тесно вреќиште, место убавина - жигосување.
25. Мажите твои ќе паднат од меч, а јунаците твои во битка,
26. и портите на престолнината ќе воздивнуваат и ќе плачат, а таа ќе седи напуштена на земјата.

Глава 4

1. Во оној ден седум жени ке се фатат за еден маж и ке речат: 'Свој леб ке јадеме и своја облека ке носиме, доста е само да се нарекуваме со твоето име, - симни го од нас срамот наш.'
2. Во оној ден фиданката Господова ке се јави во убавина и чест, а плодот на земјата - во величие и слава, за спасените синови Израилеви.
3. Тогаш другите на Сион и измачените во Ерусалим - сите, запишани како да живеат во Ерусалим, ке се нарекуваат свети,
4. кога Господ ке ја измие нечистотијата на керките сионски и ке ја исчисти крвта на Ерусалим од средината негова со дух, кој суди и со дух, кој пали.
5. И ке направи Господ над секое место на Сион гора и над собранијата и дење облак и дим, а ноке - блесок од пламнат оган; зашто слава ке покрива се.
6. И ке има шатор за сенка дење од припек и засолниште и заклон од лошо време.

Глава 5

1. Ќе му ја запеам на мојот Возљубен Неговата песна за лозјето негово. Мојот Возљубен имаше лозје на врвот од плодороден рид;
2. Тој го огради и го исчисти од камења, насади во него одбор од лозови прачки, изгради кула во средината негова, направи големи крбли; очекуваше да роди добро грозје, а тоа роди диво грозје.
3. Па сега, жители ерусалимски и мажи Јудејци, пресудете ме у Мене и Моето лозје.
4. Што уште требаше да направам за Моето лозје и не го направив? Зошто, очекував принос од добро грозје, тоа даде диво грозје?
5. Сега ке ви кажам што ке направам со лозјето Свое: ке ја иставам оградата, и тоа ке биде опустошено; ке му ги разрушам ѕидиштата, и ке биде газено:
6. ке го оставам да запусти: нема ни да го режат, ни да го копаат, - ке обрасне во трње и боцки, ке им заповедам на облаците да не истураат дожд врз него.
7. Лозјето на Господа Саваот е домот Израилев, а лу ето на Јуда - Негова љубена градина. И чека Он правосудие, но ете - крвопролевање; чека правда, а ете - пискот.
8. Тешко ви вам, што притурате кука кон кука, што присоединувате нива кон нива, така што за другите да не останува место, како да сте само вие населени на земјата!
9. Во ушите мои - Господ Саваот рече: - тие многубројни домови ке бидат пусти, тие големи и убави куки ке бидат без жители;
10. десет дулуми лозје ке дадат едно буре, а еден шиник посеано семе, одвај ке донесе една ефа.
11. Тешко им е на оние, кои од рано утро бараат сикер и до доцна вечер се згорештуваат со вино;
12. на нивните гоштавки има и гитара, и гусле, и тимпани, и свирка и вино; а кон делата на Господа тие и не погледнуваат, ниту помислуваат за делата на Неговите раце.
13. Затоа мојот народ ненадејно ке отиде во ропство; неговите големци ке гладуваат, богаташите негови ке се мачат од жед.
14. Затоа пеколот се раширил и без мерка ја отворил устата своја: таму ке слезе нивната слава и нивното богатство, вревата нивна и се што ги весели
15. И ке се раскае човекот, ке се смири мажот, и очите на гордите ничкум ке поникнат;
16. а Господ Саваот се возвеличи во суд, светиот Бог ке ја соопшти светоста Своја во правда.
17. И овците ке си пасат по воља, и ту и ке се хранат со оставените плодни пасишта на богатите.
18. Тешко им на оние, што влечат по себе беззаконие со јажиња на суетноста и грев - како со колски ремења;
19. кои велат: 'Нека побрза Он и нека го забрза делото Свео, за да видиме, нема се приближи и нека се исполни решението на Светецот Израилев, за да дознаеме!'
20. Тешко им на оние, кои злото го нарекуваат добро и доброто - зло, темнината ја сметаат за светлина, и светлината - за темнина, горчливото - за слатко, а слаткото - за горчливо!
21. Тешко има на оние, кои се мурди во своите очи и разумни пред самите себеси!
22. Тешко им на оние, кои се храбри вино да пијат и се во сила да приготвуваат жесток пијалок,
23. кои за подароци го оправдуваат виновниот и ги лишуваат праведните од законитиото!
24. Затоа, како што огнот ја јаде сламата, и пламенот го истребува сеното, така ке загине коренот нивни, цветот нивни ке се разнесе како прав; зашто тие го отфрлија законот на Господа Саваот и го презреа словото на Светецот Израилев.
25. Затоа гневот на Господа ке се разгори против Неговиот народ, ке ја протегне раката Своја против него и ке го порази, така што горите ке затреперат и труповите нивни ке бидат како убре по улиците. А при сето тоа гневот Негов нема да се одврати и раката Негова уште ке биде протегната.

26. И ке крене знаме за далечни народи и ке им даде знак на оние што живеат на крајот од земјата, и ете, тие лсно и брзо ке дојдат;
27. кај нив нема да има ни умрен, ни премален; ниеден нема да задреме и нема да заспие; нема да се отпаше појасот од половината негова и нема да се одврзе ремен од чевлите негови;
28. стрелите негови се изострени, сите лакови - им се затегнати; копитата на коњите нивни се како кремења, а колцата нивни - како виор;
29. рикањето нивно е како рикањето на лавица; тој рика како лавче и ке зарика, ке го зграпчи пленот и ке го однесе и никој нема да му го одземе.
30. Во оној ден ке зарика против него како божем рикање на разбеснето море; ке погледне Он на земајта, и ете, темнина и жалост, а светлината потемнела во облаците.

Глава 6

1. Во годината кога умре цар Озија, јас го видов Господа, седнат на престолот висок и издигнат, а полите на одеждата Негова го исполнија целиот храм.
2. Околу Него стоеја серафими; секој од нив имаше по шест крилја: со две секој го криеше лицето свое, со две други ги криеше нозете свои, а со две леташе.
3. И викаа еден кон друг и велеа: 'Свет, свет, свет е Господ Саваот! Целата земја е полна со Неговата слава!'
4. И се разниша, горништето на вратите од гласот на оние што викаа, а домот се исполни со дим.
5. И реков: 'Тешко ми мене, зашто сум човек со нечиста уста и живеам среде народ исто така со нечиста уста, - а очите мои Го видоа Царот Господа Саваот!'
6. Тогаш долета до мене еден од серафимите со разгорен јаглен во раката што го беше зел со клешти од жртвеникот,
7. се допре до устата моја и ми рече: 'Ете, тоа се допре до устата твоја - и твоето беззаконие се оттргна од тебе, гревот твој се очити.'
8. И го чув гласот на Господа, Кој рече: 'Кого да испратам у кој ке отиде заради нас?' А јас реков: 'Еве ме мене, испрати ме мене!'
9. Тогаш Он рече: 'Оди и кажи му на тој народ: ‘со ушите ке чуете и нема да разберете, и со очи ке гледате - и нема да видите.‘
10. Зашто срцето на тој народ е закоравено, и со ушите тешко слушаат и ги затвориле очите свои за да не гледаат со очи, со уши да чујат и со срце да разберат, та да се обрнат да ги излекувам.'
11. И реков: 'До кога, Господи?' Он рече: 'Додека запустат градовите и останат без жители, и куките без лу е, земјата сосема не се запусти,
12. додека Господ не ги оддалечи лу ето и голема пустош во таа земја да има.
13. И ако остане уште десеттиот дел на неа и се врати, таа пак ке биде разорена; но како од брест и даб, кога се и отсечени, останува коренот нивни, така светото семе ке биде нејзин корен.'

Глава 7

1. Во дните на Ахаза - синот на Јоатама, син Озиев, цар јудејски, - Ресина, царот сириски, и Факеј, синот ремалиев, цар израилски, отидоа проти Ерусалим да го завладеат, но не можеа да го преземат.
2. Тогаш му беше соопштено на домот Давидов и речено: 'Сирijци се сместија во земјата Ефремова. И му затрепери срцето на Ахаза и срцето на народот негов, како што од ветар се нишаат дрвјата.'
3. И му рече Господ на Исаија: 'Излези и ти и син ти Сеарјасув да го пречекаш Ахаза на крајот од горното езеро по патот кај нивата на валавичарот,
4. и кажи му: внимавај и биди спокоен; не бој се, и да не се плаши срцето твое пред двата краја на тие гламји што чадат, од изгорениот гнев на Ресина, на Сиријците и на синот Ремалиев.'
5. Сирија, Ефрем и синот Ремалив кројат против себеси зло, велејќи:
6. ‘да одиме против Јудеја и да ја исплашиме, да ја завладееме и да го поставиме за цар Тавеиловиот син.‘
7. Но Господ Бог вели вака: 'Тоа нема да стане и нема да се изврши,
8. зашто главата на Сирија е Дамаск, а главата на Дамаск - Ресин; по шеесет и пет години Ефрем ке престане да биде народ;
9. глава на Ерфема е Самарија, а глава на Самарија - синот Ремалиев. Ако не верувате, нема да се додржите.'
10. И продолжува Господ да му говори на Ахаза и му рече:
11. 'Барај за себе знак од Господа, твојот Бог: барај или во длабочините или во височините.'
12. И рече Ахаз: 'Нема да барам и нема да го искушувам Господа.'
13. Тогаш Исаија рече: 'Слушајте, пак, доме Давидов! Зар ви е малку тоа што им дотежнувате на лу ето, па сакате да Му дотежнувате и на мојот Бог?'
14. Затоа Самиот Господ ке ви даде доказ: ете, Девица ке зачне и ке роди Син, и ке Му дадат името Емануел.
15. Тој ке се храни со млеко и мед, додека да се научи да го отфрла лошото и да го избира доброто.
16. Зашто, пред доенчето да се научи да го отфрла лошото и да го избира доброто, оваа земја, од која ти се плашиш, ке биде оставена од двајцата цареви.
17. Но Господ ке испрати врз тебе и врз народот твој и врз домот на татка ти, какви што не доа але, откако Ефрем се оддели од Јуда - ке го испрати асирскиот цар.
18. И ете, во тој ден Господ ке свирне не мувите, кои се кај устието на египетската река, и на пчелата, која е во асирската земја, -
19. и ке долетаат и ке заседнат сите тие по запустените долини и по камените пештери и по сите трништа и по сите дрвја.
20. Во тој ден Господ ке го избричи со брич земен од оваа страна на реката - преку асирскиот цар, главата и влакната на нозете, ке ја симне дури и брадата.
21. И во тој ден, кој храни крава и две овци,
22. поради изобилството на млеко, што тие ке го дадат, ке јаде масло; со масло и мед ке се хранат сите, што останале на земја.
23. во тој ден на секое место, каде што растеле иљада лози за иљада сребреници, ке има глог и трниште.
24. Таму ке се оди со лакови и стрели, бидејки целата земја ке е во глогови и трњаци.
25. И на ниедна од горите, што биле расчистувени со трнокоп, нема да одиш, поради страв од глог и од трња; таму ке истеруваат говеда и ситен добиток ке гази

Глава 8

1. И ми рече Господ: 'Земи си голем свиок и напиши на него со човечко писмо: брз на плен и итар на грабеж.
2. И си зедов верни сведоци: свештеникот Урија и Захарија, синот Варахиев,
3. и пристапив кон пророчицата, и таа зачна и роди син. И ми рече Господ: дај му име: брз на плен и итар на грабеж; шах - баз;
4. зашто, пред да се научи детето да изговара: тате, мамо, - богатството на Дамаск и пленот самариски ке бидат претставени пред асирскиот цар.'
5. И продолжуваше да ми зборува Господ и рече:
6. 'Зошто овај народ ги занемарува водите на Силоам, оти течат тивко, и се восхитува на Ресина, и од синот Ремалиев,
7. Господ ке го испрати врз него бурните и големи води на реката - асирскиот цар со сета негова слава;
8. и ке навлезе во Јудеја, ке ја наводни и високо ке се крене - ке стигне до вратот; и раширените крила нејзини ке бидат по целата ширина на Твојата земја, Емануиле!'
9. Здружувајте се, народи, но ке бидете уништени, и внимавајте вие сите што сте далечни земји! вооружувајте се, но ке бидете победени; вооружувајте се, но ке бидете уништени!
10. Којте заговори, но тие ке се рушат, говорете збор, но тој нема да си исполни, зашто со нас е Бог!
11. Зашто вака ми велеше Господ, држејки ја врз мене цврстата рака и опменувајки ме да не одам по патот на тој народ, велејки:
12. 'Не нарекувајте го заговор сето она што тој народ го нарекува заговор; и не плашете се од она, од кое тој се плаши, не стравувајте.
13. Господа Саваота - Него свето почитувајте Го, и Он да биде ваш страв и ваш трепет!
14. Он ке биде осветување и камен за сопнување и карпа за соблазна на двата дома Израилеви, стапица и мрежа за жителите ерусалимски.
15. И мнозина од нив ке се сопнат и ке паднат, ке се разбијат, ке се заплеткаат во стапицата и ке бидат уловени.'
16. 'Врзи го свидетелството и запечати го откровението пред своите ученици.'
17. И така, јас се надевам на Господа, Кој го сокрил лицето Свое од домот Јаковов, на Него се надевам.
18. Ете, јас и децата што ми ги даде Господ, сме како белези и докази во Израилот од Господа Саваот, Кој живее на горага Сион.
19. И кога ке ви речат: 'Обрнете се кон оние, што извикуваат мртовци, и кон ма есници, кон бајачи и оние што говорат од стомак, тогаш одговарајте: не треба ли народот да се обрнува кон својот Бог? Се прашуваат ли мртви за живи?
20. Допрашајте се до законот и откровението! Ако неко речат дека не е така, тогаш за нив нема светлина.
21. Ке скитаат тие по земјата, жестоко угнетувани и гладни; и во време на гладта ке се лутат, ке го навредуваат својот цар и својот Бог.
22. И ке се загледаат угоре, и ке погледаат кон земјата; и ете - скрб и мрак, густа темнина; и ке бидат фрлени во темнината. Но нема секогаш да има мрак таму, каде што сега тој е згустен.

Глава 9

1. Поранешното време ја понизи земјата Завулонова и земјата Нефталимова; но подоцнежното - ке го возвеличи крајмоскиот пат, од онаа страна на Јордан, незнабожечка Галилеја.
2. Народот, кој оди во темнина, ке види голема светлина; врз оние што живеат во земјата на смртната сенка ке болсне светлина.
3. Ти ке го умножиш народот, ке ја зголемиш радоста негова. Тој ке се весели пред Тебе, како што се веселат за време на жетва, како што се радуваат при делење на плен.
4. Зашто јаремот, кој му тежеше, и жезлото, што го поразуваше, и стапот на неговиот угнетувач - Ти ке ги скршиш, како во денот на Мадијама.
5. Оти секоја војничка обувка во време на војна и облека, извалкана од крв, ке бидат предадени на изгорување, за храна на огнот.
6. Зашто Младенец ни се роди - Син ни се даде; власта е на рамењата Негови, и ке Го наречат: Советник, Чудесни, Бог силен, Отец вечен, Кнез на мирот.
7. Неговата власт и мирот бескраен ке растат врз престолот на Давида и во царството негово, за да го утврди Он и да го зацврсти преку суд и прада отсеа па довека. Тоа ке го направи ревноста на Господа Саваота.
8. Господ му испрака слово на Јакова, тоа слегува врз Израилот,
9. за да знае сиот народ, Ефрем и жителите на Самарија, кои со гордост и надуено срце велат:
10. 'Тулите паднаа, - ке градиме со делкани камења; смоквите се исечени, - ке ги замениме со кедри.
11. Kе се крене Господ против него и непријателите на Ресина, ке ги вооружи непријателите негови;
12. Сиријците од кај исток, Филистејците од кај запад; ке го голтнат Израилот со полна уста. При сето тоа гневот Негов нема да се одврати и раката Негова ке биде протегната.
13. Но народот не се обрнува кон Оној, Кој го бие и не прибегнува кон Господа Саваот.
14. Господ ке му ја пресече на Израилот главата и опашката, палмата и трската во еден ден:
15. старецот и големецот - тоа е главата; а пророкот - лажниот учител е опашот.
16. Водачите на овој народ ке го доведат во заблуда, а водените од нив ке загинат.
17. Затоа Господ нема да се радува на момчињата негови, и нема да се смили над сираците негови и вдовиците негови; зашто сите тие се лицемери и злодејци, и устата на сите зборува нечесно. При сето тоа гневот Негов нема да се одврати и раката Негова уште е протегната.
18. Зашто беззаконието како оган се разгорело, голтнува глог и трн и гори во горските гасталаци, се креваат столбови од дим.
19. Гневот на Господа Саваот ке ја изгори земјата, народот ке стане како храна за огнот, човек нема да го пожали братот свој.
20. Kе сечат надесно - и ке си останат гладни; ке јадат налево - и нема да се наситат; секој ке го јаде месото од својата мишка:
21. Манасија - Ефрема, и Ефрем - Манасија, обајцата заедно - Јуда. При сето тоа нема да се одврати гневот Негов, и раката Негова уште е протегната.

Глава 10

1. Тешко им на оние што создаваат неправедни закони и пишуваат остри решенија,
2. за да ги отстранат сиромасите од правосудието и да ги ограбат правата на слабите ме у Мојот народ, за да ги направат вдовиците свој плен и да ги грабаат сираците.
3. А што ке правите вие во денот на посетата, кога смртта ке дојде оддалеку? Кон кого ке прибегнете за помош? Каде ке го оставите богатството свое?
4. Без Мене тие ке се превиваат ме у окованите и ке паднат ме у убиените. При сето тоа нема да се одврати гневот Негов, раката Негова уште е протегната.
5. О, Асуре, жезло на Мојот гнев и бич на Моето негодување!
6. Ќе го испратам против нечесен народ и против народот на Мојот гнев, ке му дадам повелба грабеж да грави и плен да плени и да ги гази како улична кал.
7. Но тој нема така да расуди, срцето негово нема да помисли вака: нему на срце ке му биде - да разурне и да истреби многу народи.
8. Зашто тој ке рече: 'Нели се сите цареви мои кнезови?
9. Халне не ли е она што и Кархемис? Емат не ли е она што и Арпад? Самарија не ли е она што е Дамаск?
10. Бидејки раката моја завладеа со идолските царства, во кои беа идолите повеке отколку во Ерусалим и Самарија, -
11. тоа нема ли да го направам истото со Ерусалим и со неговите кипови, како што направив со Самарија и со нејзините идоли?
12. А кога Господ ке го изврши сето Свое дело на горunion Сион и во Ерусалим, тогаш ке го казнам плодот на горделивото срце на царот асирски и дрскоста на високо кренатите му очи.'
13. Зашто рече: 'Со силата на Своите раце и со премудроста на Својот разум го направив тоа, зашто сум умен: ги разместам границите на народите, и нивните богатства ги ограбив,
14. раката Моја го ограби богатството на народите како гнезда: како што ги земаат оставените во нив јајца, така ја заграбив јас целата земја, и никој со крило не мрдна, ни уса не отвори, ниту писна.'
15. Се крева ли на големо секирата пред оној што сече со неа? Се гордее ли трионот пред оној што го движи? Како стап да се прева против оној што го дига! Како божем прачка се крева против оној, кој не е дрво!
16. Затоа Господ, Господ Саваот ке испрати немок на неговите здрави и ме у првенците на твојата чест и бесчестие и врз твојата слава оган на зло ке се разгори.
17. Светлината на Израилот ке биде оган, а неговиот Светец - пламен, кој ке ги изгори и ке ги изеде трњето негови и боцките негови во еден ден;
18. ке ја истреби славната шума негова и градината негова, од душа до тело, и тој ке биде како немокен, кој умира.
19. И другите дрвја од шумата негова ке бидат толку малубројни, што дури и дете ке може да им направи опис.
20. И ете, во тој ден Израилевиот остаток и спасените од домот на Јакова нема веке да се потпираат на оној, кој ги порази, но простосрдечно ке положат надеж во Господа, Светецот Израилев.
21. Остатокот ке се врати, остатокот на Јакова, ке се врати кон Бога Силен.
22. Зашто, иако твојот народ, Израиле, е колку морскиот песок, само остатокот негов ке се обрати; решението за истребување е преисполнето со правда;
23. зашто решеното истребување ке го изврши Господ, Господ Саваот, по целата земја.
24. Поради тоа вака вели Господ, Господ Саваот: 'Народе Мој, што живееш на Сион, не бој се од Асура. Тој ке те порази со жезло и ке го крене стапот против тебе, како Египет.
25. Уште малку, сосема малку, - и Мојот гнев ке мине, јароста Моја ке се сврти да ги истреби.'
26. И ке крене Господ Саваот бич врз него, како кога го порази Мадијам кај карпата Орив, или како кога го протегна жезлото врз морето, ке го крене како врз Египет.

27. Во тој ден ке биде симнат од твоите рамења товарот негов, и јаремот негов - од твојот врат; јаремот ке се скрши од дебелина.
28. тој оди против Ајат, го минува Мигрон, натрупува харни во Михмас.
29. Ти минуваат клусири; Во Гева нокеваат; Рама се тресе; Гива Саулова се разбега.
30. Викај со глас керко Галимова; нека те чуе Лаис, беден Анатоте!
31. Мадмена се разбега, жителите на Гевам брзаат да побегнат.
32. Уште еден ден ке престојува тој во Нов; со раката своја ја заплашува гората Сион, ерусалимскиот рид.
33. Ете, Господ, Господ Саваот со страшна сила ке ги откине гранките на дрвјата и кои со својот раст се зголемуваат, ке бидат пресечени, високите - на земја соборени.
34. И горскиот гасталак Он ке го исече со меч, - и Ливан ке падне од Семокниот.

Глава 11

1. И ке потера фиданка од Јесеевата пењушка, и стебло ке израсне од нејзиниот корен;
2. ке почива врз Него Дух Господов, дух на премудрост и разум, дух на совет и крепост, дух на знаење и благочестивост;
3. ке се исполни со страв Господов, ке суди, не според тоа како што очите Негови гледаат; и ке ги решава делата, не според тоа како што ушите Негови слушаат.
4. Он ке им суди на сиромасите по правда, и делата на страдалците во земјата ке ги решава според вистината; со зборот од устата Своја ке ја порази земјата, со дишењето на устата Своја ке го убие нечесниот.
5. Појас на половината Негова ке биде правдата, а појас на бедрата Негови - вистината.
6. Тогаш волк ке живее со јагне, леопардот ке лежи заедно со јаре; теле, лавче и вол ке бидат заедно, и мало дете ке ги води.
7. Крава ке пасе со мечка, нивните млади ке лежат заедно; лавот ке јаде слама како волот.
8. Новороденче ке игра над змиина дупка, дете ке протега рака кон змиино гнездо.
9. Нема да прават зло и штета по целата Моја света гора, зашто земјата ке биде полна со познавање на Господа, како што водите го полнат морето.
10. Во оној ден кон Јесеевиот корен, кој ке стане како знаме на народите, ке се обрнат незнабошците, мирот негов ке му биде слава.
11. Тогаш Господ пак ке ја крене раката Своја, за да Си го врати остатокот од народот Свој, - она што остана во Асирија, и во Египет, и во Патрос, и во Хус, и во Елам, и во Сенар, и во Емат, и островите морски.
12. И ке крене знаме кон незнабошците и ке ги собере прогонетити Израилци; расеаните Јудејци ке ги повика од четирите земни краишта.
13. Ке се прекрати зависта Ефремова; кои непријателствуваат против Јуда, ке бидат истребени, Ефрем нема да му завидува на Јуда, а Јуда нема да го притеснува Ефрема.
14. И ке полетаат врз плеките на Филистејците кон запад, ке ги ограбат сите деца на Исток; ке стават рака врз Едом и Моав, и децата Амонови ке им бидат поданици.
15. Ке го исуши Господ заливот на Египетското Море, ке ја протегне раката Своја врз реката преку силниот Свој ветар и ке ја разбие на седум ракави, така што со обувки да можат да ги минуваат.
16. Тогаш за остатокот од Неговиот народ, кој ке остане во Асура, ке има широк пат, како што беше тоа за Израилот кога излегуваше од Египетската земја.

Глава 12

1. Во оној ден ке речеш: 'Ќе Те славам, Господи! Ти ми беше гневен, но го одврати гневот Свој и ме утеши.
2. Ете, Бог е моето спасение; на Него се надевам; и не се плашам; зашто Господ е мојата сила, Господ е мојата песна; Он ми е спасение.
3. Тогаш со радост ке црпите вода од изворите на спасението,
4. во тој ден ке речете: 'Славете Го Господа, повикувајте Го името Негово; разгласувајте ги ме у народите делата Негови; напомнувајте дека името Негово е големо;
5. пејте Му на Господа, зашто Он направил нешто големо - нека го знаат тоа по целата земја.
6. Весели се и радувај се, жителко Сионова, зашто, голем е ме у тебе Светецот Израилев.'

Глава 13

1. Пророштво за Вавилон, што го изрече Исаија, синот Амосов.
2. Кренете знаме на гола планина, издигнете глас, мавнете им со рака да навлезат низ кнезовските порти.
3. Јас им дадов повелба на Моите избраници и ги повикав да го исполнат гневот Мој моите јунаци, кои се радуваат на величието Мое.
4. Голем шум има по планините, како божем од многуброен народ, бунтовен шум на царства и народи, собрани заедно, Господ Саваот ја прегледува готовата војска за војна.
5. Идат од далечна страна, од крајот на небото, Господ и орудијата на Неговиот гнев, за да ја сотрат целата земја.
6. Липајте, зашто денот Господов е близу, - иде како разурнувачка сила од Семокниот.
7. Затоа рацете на сите отпаднаа, срцето на секој човек се стопи.
8. Тие се ужасија, грчеви и болки ги опфатија; се мачат како родилка, зашеметени гледаат едни во други, лицата им пламнаа.
9. Ете, денот Господов доа а лут, со гнев и пламната јарост, за да ја претвори земјата во пустиња и да ги истреби од неа грешниците нејзини.
10. Ѕвездите небески и светилата нема да даваат од себеси светлина; сонцето се замрачува при изгревањето свое; и месечината не свети со светлината своја.
11. Јас ке го казнам светот за злото, и нечесните - за нивните беззаконија; ке го премавнам високоумството на гордите и ке ја понизам надуеноста на угнетувачите;
12. ке направам така, што лу ето да бидат поскапи од чисто злато, а мажите - поскапи од офирско злато.
13. Затоа ке го затресам небото, земјата ке се помести од местото свое поради јароста на Господа Саваот, во денот на пламнатиот гнев Негов.
14. Тогаш секој како подгонета срца и како напуштени овци ке се обрне кон народот свој, секој ке избега во земјата своја.
15. На кого ке му се падне, ке биде пронизан; и кого ке го фатат, ке загине од меч.
16. Новороденчињата нивни ке бидат смачкани пред очите нивни; куките нивни ке бидат разграбени, и жените нивни обесчестени.
17. Ете, Јас ке ги кренам против нив Мидјаните, кои не го ценат среброто и не лакомат за злато.
18. Нивни лакови ке ги поразат младите и нема да сожалат ни плод во утроба; очите нивни нема да се смилуваат на децата.
19. И Вавилон, украсот на царствата, гордоста на Халдејците, ке биде соборен од Бога, како Содом и Гомор,
20. нема да се насели никогаш, во него нема да има жители од род во род; нема Арабиец да го распне шаторот свој, овчари таму со стадата свои нема да пладнуваат.
21. Но во него ке живеат ѕверови; бувови ке се населат во нивните домови, и бесови ке потскокнуваат и ке играат.
22. Шакали ке вијат во дворците нивни и хиени во домовите за веселба. А ке дојде неговото време, близу е, деновите негови нема да задоцнат.'

Глава 14

1. 'Блиску е времето негово, нема да задоцнат дните негови; зашто Господ ке го помилува Јакова и пак ке го засака Израилот; ке ги насели во земјата нивна, ке се присоединат кон нив ту инци и ке се прилепат кон домот Јаковов.
2. Ќе ги земат народите и ке ги одведат на местото нивно; домот Израилев ке ги присвои на земјата Господова како робови и робинки, ке ги земе во плен своите пленители и ке владее над своите угнетувачи.
3. Во оној ден, кога Господ те оттргна од скрбта твоја, од стравот и од тешкото ропство, под кое беше заробен,
4. ти ке запееш победничка песна против вавилонскиот цар и ке речеш: како исчезна мачителот и прекина тиранијата!
5. Господ го скрши жезлото на нечесните, скиптарот на владетелите,
6. кој јаросно ги поразуваше народите со бескрајни удари, гневно владееше над племињата свои со незадржливо прогонување.
7. Целата земја здивна, почива, воскликнува од радост;
8. и кипарисите се радуваат за тебе и кедрите ливански, велејки: откако заспа ти, никој не доа а да не сече.
9. Пеколот адски се раздвижи заради Тебе, за да Те пречека при Твоето влегување; со Тебе се разбудија сите водачи на земјата; изместувајки ги сите цареви незнабожечки од престолите нивни.
10. Сите тие ке ти говорат: и ти стана безсилен како нас! И ти стана сличен на нас.
11. Гордоста ти е симната во пеколот, со сиот твој шум; под тебе има гнилеж за постилка, а црви се твојата покривка.
12. Како падна ти од небото, Денице, сине на зората! Се разби од земјата ти, кој ги угнетуваше народите.
13. А во срцето свое си велеше: 'Ќе се искачам на небото, ке го издигнам престолот свој погоре од Божјите ѕвезди и ке седнам на гората во соборот на боговите, на крајот од северот;
14. ке се искачем до височините на облаците, ке бидам сличен на Севишниот.
15. Но ти си соборен во пеколот, во дното на адот.
16. Оние што ке те видат, ке се загледадат во тебе, ке си речат за тебе: тое ли е човекот, што земјата ја разнишуваше и царства потресуваше,
17. вселенеата во пустиња ја претвори и ги разрушуваше градовите нејзини, робовите не ги пушташе по домовите нивни?
18. Сите царства на народите, сите почиваат со чест, секој во својата гробница;
19. а ти си фрлен надвор од гробот како отпадок, како облека на убиени, на погубени со меч, што ги спуштаат во камени гробници, - како изгазен труп,
20. нема да се соединиш со нив во гробот; зашто ти ја разори земјата своја, го уби народот свој: племето на злодејците засекогаш нема да се спомне.
21. Гответе клање за синовите негови поради беззаконието на таткото нивни, за да не востанат и да не завладеат со земјата и да не ја наполнат вселената со непријатели.
22. 'И ке станам против нив, вели Господ Саваот, и ке ги истребам името на Вавилон и целиот остаток - и син, и внук, вели Господ.
23. И ке ги направам ежово владение и кал, ке го изметам со истребувачка метла, вели Господ Саваот.
24. Со клетва вели Господ Саваот: 'Како што намислив, така и ке биде; како што решив, така и ке стане,
25. за да го погубам Асура во Мојата земја и да го изгонам од Моите гори; ке падне од нив јаремот негов, и товарот ке се симне од рамењата нивни.'
26. Такво е решението, определено за целата земја, и еве ја раката, протегната врз сите народи;

27. зашто Господ Саваот решил, и кој може да го измени тоа? Раката Негова е протегната, - и кој ке ја врати?
28. Во годината, кога умре царот Ахаз, имаше вакво пророчко слово:
29. ‘Немој да се радуваш, земјо Филистејска, дека е скршен жезалот, кој те поразуваше, зашто од змискиот корен ке излезе отровница и плодот нејзин ке биде змеј што лета.
30. Тогаш најбедните ке бидат нахранети, немокните ке си почиваат во безопасност; а твојот корен со глад ке го уморам, и тоа ке го убие твојот остаток.
31. Ридајте, порти, викај граде, на глас! Ке се раздробиш ти, цела земјо Филистејска; зашто од север иде дим, нема изморен во нивните војски.
32. А што ке соопштат известувачите народни? - Тоа дека Господ го утврдил Сион, и дека во него ке најдат засолниште сиромасите од народот Негов.

Глава 15

1. Пророштвото за Моав. Така! Ноке ке биде разорен Ар - Моав и уништен; така! Ноке ке биде разорен Кир - Моав и уништен!
2. Тој се искачува во храмот девонски за да плаче на височина; Моав липа над Невон и Медев; сите тие се со истрижени глави, сите со избричени бради.
3. По улиците негови се препашуваат со врекишта; по покривите негови и плоштадите сите плачат, во солзи тонат.
4. Пишти Есевон и Елеала; гласот нивни се слуша дури до Јаца; по нив и војниците на Моав плачат, душата му се бранува во него.
5. Плаче моето срце за Моав; бегаат од него кон Сигор, до третата Егла; се искачуваат со плачење на Лухит; по хоронаимскиот пат креваат страшен вик;
6. зашто водите на Нимрим пресекнаа, ливадите се исушија, тревата изгоре, зеленило не остана;
7. затоа тие го пренесуваат од онаа страна на Арабиската река остатоците од имотот и она, што го собрале.
8. Оти писокот се разнесува по сите предели на Моав, плачот негов стигнува дури до Еглаим, плачот негов стигнува до Беер - Елим;
9. бидејки водите на Димон се наполнија со крв, и Јас ке испратам врз Димон уште нешто ново, - лавови врз избеганите од Моав и против другите во земјата.

Глава 16

1. Испракајте јагниња за владетелот на земјата, испракајте од Села во пустињата кон планинатана керката Сионова;
2. зашто керките на Моав при Арнонските бродови ке бидат слични на птица скитница, исфрлена од гнездото.
3. 'Свикајте совет, донеси решение; засенчи не со сенката своја среде пладне како ноке, прикриј ги истераните, не ги предавај скитниците.
4. Нека поживеат кај тебе моите истерани Моавци; биди им закрила од грабачи: зашто угнетувачот - нема да го пуштам; грабежот ке престане, потисниците ке исчезнат од земјата.
5. И престолот ке се утврди со милост, и на него ке седне со верност, во Давидовиот шатор, судија, кој бара правда и се стреми кон правосудие.'
6. 'Сме слушале за Господа на Моав, прекумерна гордост, за неговата надуеност и високомерност и за неговото беснеење: неискрен е зборот негов.'
7. Затоа Моав ке заплаче за Моав, - сите ке плачат: ридиштата за тврдините за Крихарешет: тие се наполно разурнати.
8. Есевонските полиња се исушија, како и севаимското лозје; големците на народите ги истребија најдобрите лозја, кои достигнаа до Језер, се простираа по пустињата; ластарите се ширеа, преминуваат од онаа страна на морето.
9. Поради тоа јас ке плачам за лозјата севаимски со плачот на Јазера, ке ги облевам со солзите свои, Есевоне, и Елеало; зашто по твојот гроздобер и по твојата жетва нема повеке шумна радост.
10. Исчезна од плодоносната земја радоста и веселбата, по лозјата не пеат ниту се радуваат; лозарот не гмечи грозје во садови: Јас ги прекратив веселбите.
11. Затоа мојата внатрешност стенка по Моав како гусле, а срцето мое за Кирхарешет.
12. Но и да се јави Моав и до умор да оди по идолските светилишта, и да дојде при светилиштето свое, да се моли, пак ништо нема да му помогне.
13. Тоа е словото, кое Господ одамна го беше искажал за Моава.
14. А сега вака вели Господ: 'По три години, сметајки наемнички години, величието на Моав ке биде понизено со сето големо множество негово, а остатокот ке биде многу мал и незначаен.'

Глава 17

1. Пророштворо за Дамаск - ете, Дамаск се исклучува од бројот на градовите и ке биде куп од урнатини.
2. Градовите Ароирски ке бидат напуштени, - ке останат за стадата, што ке си почиваат таму и нема да има кој да ги плаши.
3. Неме да има повеке Ефремова тврдина, ни дамаско царство и остатокот од Сирија; со нив ке стане исто, што стана со славата на синовите Израилеви, вели Господ Саваот.
4. Во оној ден ке се намали славата на Јакова, и полното тело негово ке ослабне.
5. Исто онака ке биде по собраното живо од жетварот, кога раката негова ке ги ожнее класовите и кога ке ги соберат класовите во Рефаимската долина.
6. И ке останат во него, како што станува при тресење маслинки, две - три зрна да остана на самиот врв или четири - пет на плодните гранки, вели Господ, Бог Израилев.
7. Во оној ден ке го сврти човек погледот свој кон својот Создател, очите негови ке бидат управени кон Светецот Израилев;
8. и нема да сврти очи кон жртвениците, дело на рацете свои; нема да го погледне она што го направиле прстите негови, идолите на Астарта и Ваал.
9. Во оној ден утврдените негови градови ке бидат како урнатини во гори и по планински врвови, оставени пред синовите Израилеви и се ке биде пусто.
10. Зашто ти Го заборави Бога на твоето спасение, не се секаваше на карпата на твоето засолниште; затоа ти си уредил градини за веселби и си насадил прачки во ту и лозја.
11. Во денот, кога садеше, ти се грижеше насаденото да расте, и посеаното од тебе да цути; но во денот кога ке собираш, ке нема куп жетва, туку голема жалост.
12. О, шум од многу народи! Шумат тие како што шуми морето. Викање на племиња! Викаат тие како што рикаат бујните води.
13. Викаат народите како што рикаат бујните води; но Он ги заплаши, - и тие избегаа далеку; беа разгонети како плева по планините од ветар и како прав од виор.
14. Вечерта - и ете ти ужас, но пред утрото веке го нема. Таков е делот на нашите грабачи, жребот за нашите разрушители.

Глава 18

1. Тешко и е на земјата, која се осенчува со криља од онаа страна на етиопските реки,
2. која испрака гласници по море и рогозени чунови по водите! Одете, брзи гласници, при народ јак и бодар, при народ страшен од почетокот до денес, при народ здрав и кој се победува, чија земја реки ја пресечуваат.
3. Сите вие, што ја населувате вселената и живеете на земјата, гледајте кога ке се крене знаме на планините, кога ке затруби трубата!
4. Зашто, така ми рече Господ: Јас гледам спокојно од Своето живеалиште, како светла жега - по дожд, како облак роса - при жетвен припек.
5. Зашто пред гроздобер, кога грозјето ке прецути, и гроздот ке почне да узрева, Он ке ги исече со сорче прачките и ке ги одземе, и ке ги искастри фиданките.
6. Ќе стават се на грабливите планински птици и на полските ѕверови: и птици ке летаат таму, а полските ѕверови таму ке зимуваат.
7. Во она време ке биде принесен дар на Господа Саваот од народ јак и бодар, од народ страшен од почетокот до денес, од народ здрав што гази друг народ, чија земја реки ја пресечуваат, - кај местото, каде што е името на Господа Саваот врз горага Сион.

Глава 19

1. Пророштвото за Египет. Ете, Господ ке седне на лесен облак и ке дојде во Египет. И пред лицето Негово ке затреперат идолите египетски, а срцето на Египет ке се стопи во него.
2. Ќе вооружам Египтјани против Египтјани, - и ке се бијат брат против брат и пријател против пријател, град со град, царство со царство.
3. Духот на Египет ке изнемошти во него, ке ги разруши намерите негови, - и ке прибегнат тие кон идоли и ма есници, кон оние што повикуваат мртовци и кон бајачи.
4. Ќе ги предадам Египтјаните во рацете на жесток владетел, свиреп цар ке владее над нив, - вели Господ, Господ Саваот.
5. И водите во морето ке исчезнат, реката ке секне и ке пресуши;
6. реките ке намалат, каналите египетски ке станам малуводни и ке се исушат; рогозината и трската ке овенат.
7. Нивите крај реката, по бреговите на реката, и се што е посеано крај реката - ке се исуши, ке биде развеано и ке исчезне.
8. И ке заплачат рибари, ке викаат сите што фрлаат јадици во реката, што поставуваат мрежа во водата, сите ке бидат очаени;
9. ке се вознемират оние, што обработуваат лен и што ткаат бели платна;
10. мрежите ке бидат скинати, и сите што држат рибници за жива риба - ке паднат со духот.
11. Да! Се избезумија кнезовите танесови; советот на мудрите фараонови советници стана безумен. Како ке му кажете на Фараонот: 'Јас сум син на мудреците, син на древните цареви?'
12. Каде се тие? Каде се твоите мудреци? Нека ти кажат тие сега; нека дознаат што определил Господ Саваот за Египет?
13. Се избезумија кнезовите танесови; се измамија кнезовите мемфиски, го свртија Египет од патот на водачите на неговите племиња.
14. Господ спроведе во него зашеметен дух, - го доведоа Египет во заблуда во сите негови дела, како пијан кога повраќа.
15. И нема да има во Египет такво дело, кое би можеле да го извршат главата и опашката, палмата и трската.
16. Во овој ден Египтјаните ке бидат како жени; ке затреперат и ке се уплашат од движење на раката на Господа Саваот, што Он ке ја крене против нив.
17. Земјата Јудина ке стане ужас за Египет, кој се секава не неа, тој ке затрепери од решението на Господа Саваот, што го определил Он за него.
18. Во оној ден пет града во Египетската земја ке говорат на хананскиjазик, и ке се колнат во Господа Саваот; едниот ке се нарече град на сонцето.
19. Во оној ден ке има жртвеник на Господа среде Египетската земја и споменик на Господа - во нејзините предели.
20. Тој ке биде знак и сведоштво за Господа Саваот во Египетската земја, зашто тие ке викаат кон Господа од потисниците, и Он ке им донесе спасител и застапник, и ке ги спаси.
21. И Господ сам ке се јави во Египет; во тој ден Египтјаните ке Го познаат Господа и ке принесат жртви и дарови, ке Му дадат верувања на Господа и ке ги исполнат.
22. И ке го порази Господ Египет - ке го порази и ке го исцели: тие ке се обрнат кон Господа - и Он ке ги чуе и ке ги исцели.
23. Во тој ден ке има широк пат од Египет до Асирија; и Асур ке доа а во Египет и Египтјани во Асирија; и Египтјани заедно со Асиријците ке Му служат на Господа.
24. Во оној ден Израилот ке биде трет со Египет и со Асирија; благослов ке има на земјата,
25. која Господ Саваот ке ја благослови, велејки: 'Благословен да е Мојот народ - Египтјаните делото на рацете Мои - Асиријците, и наследството Мое - Израилот.

Глава 20

1. Во годината, кога Тартан дојде во Азот, бидејќи беше пратен од асирскиот цар Саргон и војуваше против Азот и го презеде, -
2. во исто тоа време Господ Му кажа на Исаија, Амасовиот син, вака: 'Оди и симни го врекиштето од бедрата свои и собуј ги обувките од нозете свои.' Така и направи: одеше гол и бос.
3. Тогаш рече Господ: 'Како што слугата Мој Исаија оди гол и бос три години, како знак и означување кон Египет и Етиопија, -
4. така асирскиот цар ќе поведе заробеници од Етиопија, млади и стари, голи и боси и со разголени бедра, за срам на Египет.
5. Тогаш ќе се вџашат и засрамат поради Етиопја, нивната надеж, и поради Египет, со кој се фалеа.
6. И во тој ден жителите ќе речат за онаа земја: 'Ете какви биле оние, на кои се надевавме и при кој прибегнавме за помош, за да се спасиме од асирскиот цар! И како сакавме да се спасиме?'

Глава 21

1. Пророштво за крајморската пустиња. - Како што бурите се носат во јужната страна, така доа а тоа од пустињата, од страшната земја.
2. Страшна глетка ми беше покажата: грабач граби, опустошител опустошува; оди Еламе, опседни Мидијо: на сите воздишки ке им ставам крај.
3. Од тоа бедрата ми треперат; маки ме обзедоа, како маки на родилка. Возбуден сум од тоа што слушам; вознемирен сум од ова што го гледам.
4. Срцето ми трепери: морници ме обземаат; радосната моја нок стана ужас за мене.
5. Готват трпеза, постилаат покривки, јадат, пијат. 'Станувајте, кнезови, намачкајте ги штитовите!'
6. Зашто вака ми рече Господ: 'Оди, одреди пазач; нека го јавува тој, она што го гледа.
7. И виде тој, дека доа аат по двајца јавачи на коњи, јавачи на осли, јавачи на камили; и претпазливо тој слушаше, со големо внимание, -
8. и почна да вика тој како лав: господаре мој: стоев на стража цел цен и на местото свое останував по цели ноки:
9. и ете, доа аат лу е, јавачи на коњи по двајца. Потоа извика и рече: падна, падна Вавилон, и сите идоли на боговите негови лежат скршени на земјата.
10. О, овршено жито на гумното мое! Она што го чув од Господа Саваот, Бога Израилев, тоа и ви го соопштив.
11. Пророштвото за Едом. - Ми викаат од Сеир: 'Стражару, кое време е во нокта? Пазачу, кое време е ноква?'
12. Чуварот рече: 'Наближува утрото, но и нокта. Ако упорно прашувате - прашувајте; свртете се и дојдете.
13. Пророштво за Арабија. - Во горaта арабиска нокевајте, каравани дедански.
14. Жители на Темајската земја, носете вода да ги пречекате жедните; со леб пречекајте ги бегалците;
15. зашто тие бегаат од мечот, од гол меч, од затегнат лак и од жестокоста на војната.'
16. Оти вака ми рече Господ: 'Уште една година, еднаква на наемничката година, - и сета слава на Кидар ке исчезне,
17. кај храбрите синови на Кидар ке останат не многу лакови,' така вели Господ, Бог Израилев.

Глава 22

1. Пророштвото за долината на видението. - Што ти е, та цел си се искачил на покрив?
2. Шуми граде, кој се бранува, граде, што ликуваш! Твоите убиени не се убиени од меч, ниту умреле во борба;
3. сите твои водачи бегаа заедно, но беа врзани од стрелците; сите што се најдени кај тебе врзани се заедно, колку и да бегаа далеку.
4. Затоа велам: оставете ме, горко ке плачам; не трудете се да ме утешувате, поради погибелта на керката од мојот народ.
5. Зашто е ден на вознемиреност, угнетување и збрка во долината на видението од Господа, Бог Саваот. Се соборуваат ѕидови, викањето стигнува до планината.
6. И Елам зеде јанxик: луке со коли, и јавачи.
7. И ете, најдобрите твои долини се полни со коли бојни, јавачите се наредија спроти портите,
8. па го симнуваат покривалото од Јудеја; и ти во тој ден ке погледнаш кон избраните домови во градот.
9. Гледајте, дека има многу пукнатини во ѕидиштата на Давидовиот град, па собравте вода во долниот рибник;
10. и се разрушија куките ерусалимски, за да се зацврстат ѕидините градски;
11. направивте ме у двата ѕида собиралиште за вода од старото езеро. А на Оној, Кој го направи тоа, не погледнавте, и не Го гледавте Оној, Кој одамна го одреди тоа.
12. Господ, Господ Саваот ве викаше на тој ден да плачете и да тагувате, да се истрижете и да се опашете во врекиште.
13. Но, ете, веселба и радост! Убиваат волови и колат овни; јадат месо, пијат вино и велат: 'Да јадеме и да пиеме, зашто утре ке умреме!'
14. И ми откри во ушите Господ Саваот: 'Нема да ви биде простена таа нечесност, додека не умрете,' рече Господ, Господ Саваот.
15. Вака рече Господ, Господ Саваот: 'Тргни, оди кај оној царедворец, при Севна, началникот на дворецот, и кажи му:
16. што имаш и кого имаш тука, па си правиш тука гробница? Тој си прави за себе гробница на височината, си прави живеалиште во карпата.
17. Ете, Господ ке те фрли далеку, како што фрла силен човек и ке те свитка како клопче,
18. откако ке те свитка во свиок, ке те фрли во широка земја; таму ке умреш ти, таму твоите прекрастни коли ке бидат за подбивање во домот на твојот господар.'
19. Ke те турнат од твоето место и ке те симнат од твоето достоинство.
20. И во тој ден ке го повикам мојот слуга Елијаким, Хелкиевиот син,
21. ке го облечам со твојата облека и со твојот појас ке го препашам, та и власта твоја ке ја предадам во рацете негови; и тој ке биде отец на жителите ерусалимски и за домот Јудин.
22. И клучот на Давидовиот дом ке го ставам на рамењата негови; тој ке отвори, и никој нема да затвори; тој ке затвори и никој нема да отвори.
23. И ке го зацврстувам како клин на цврсто место, тој ке биде како славно седиште за домот на татка си.
24. И на него ке виси целата слава на татковиот му дом, на децата и внуците, на целата покукнина до последната свирка.
25. Во тој ден, вели Господ Саваот, ке се заниша зацврстениот на цврсто место клин, ке биде изваден и ке падне, ке се испокрши се, што виси на него, зашто Господ вели.

Глава 23

1. Пророштвото за Тир. - Плачете тарсиски кораби, зашто тој е разрушен: нема куки и нема кој да влегува во куките. Тоа им беше соопштено од земјата Китијска.
2. Молкнете жители на островот, што го полнеа сидонските трговци, пловејки по море.
3. По големи води се пренесуваат во него житата на Сихор, жетвата на големата река; тој беше пазариште на народите.
4. Засрами се, Сидоне: зашто, еве што вели морето, морската тврдина: како да не сум се мачела со родилни маки и да не сум ра ала, како да не сум одгледувала момци, ниту израснувала моми.
5. Кога ке стигне веста до Египјаните, тие ке затреперат што ке чујат за Тир.
6. Преселувајте се во Тарсис, плачете, жители на островот!
7. Тоа ли е вашиот град кој ликува, чиј почеток е од древните дни? Нозете негови го носат, да се скита далеку во ту ина.
8. Кој го одреди тоа за Тир, што раздаваше венци, чии купувачи беа кнезови, а трговците негови - најпрочуени во земјата?
9. Господ Саваот го одреди тоа, за да посрами секоја горда слава, за да ги понизи сите најпрочуени во земјата.
10. Оди по земјата своја, тарсиска керко, како реката: нема повеке пречки.
11. Он ја протегна раката врз морето, затресе царства; Господ додаде повелба за Ханан - да ги разруши тврдините негови,
12. и рече: 'Нема повеке да ликуваш, посрамена девице, керко Сидонска, оди во Китин, но и таму нема да имаш мир.
13. Ете ја земјата на Халдејците. Тој народ постојано го немаше; Асур му стави почеток од пустински жители. Тие ги издигаа кулите свои, ги соборуваат дворците негови, го претвораат во урнатини.
14. Плачете, кораби тарсиски, зашто вашата тврдина е разрушена.
15. И во тој ден ке го заборават Тир за седумдесет години, колку се деновите на еден цар. А по седумдесет години ке се пее за Тир, како што се пее за блудница:
16. 'Земи гитара, тргни по градот, блуднице заборавена! Свири убави, пеј многу песни за да се секаваат на тебе.'
17. И ете, по седумдесет години Господ ке го посети Тир; и тој пак ке земе да ја добива печалбата своја и ке блудствува со сите земни царства по целата вселена.
18. Но трговијата негова и печалбата му ке бидат посветувани на Господа; нема да бидат затворени и натрупани во клетви, зашто печалбата од трговијата негова ке преминува на оние што живеат пред лицето на Господа, за да јадат до наситување и да имаат трајни облеки.

Глава 24

1. Ете, Господ ја опустошува земјата и ја прави неплодна; го изменува нејзиниот вид и ги распрснува оние што живеат на неа.
2. Со свештеникот ке стане исто што и со народот, - со слугата, - исто што и со господарот негов; со слугинката, исто што - и со господарката нејзина; со купувачот, исто што и со продавачот; она што ке стане со оној, кој ке земе на заем, исто што, и со оној кој дава на заем; со оној, кој дава со интерес - исто и со оној кој зема под интерес.
3. Земјата е опустошена до крај и сосема разграбена, зашто Господ го изрече тоа слово.
4. Тагува, нажалена е земјата; опаднала, тажна е вселената; опаднале оние, што се издигале над народот на земјата.
5. И земјата е осквернета под жителите свои, зашто тие ги прекршија законите, го изменија уставот, го нарушија вечниот завет.
6. Затоа проклетство ја јаде земјата, а жителите нејзини трпат казна; затоа се изгорени престојувалиштата земни, малку лу е останаа.
7. Плаче гроздовиот сок; боледува лозата; воздивнуваат сите што се веселеа од срце.
8. Престана веселбата со тимпани; молкна вреваат на оние што се веселеа; стивнаа звуците на гуслите;
9. не пијат повеке вино со песни; горчлив е сикерот за оние што го пијат,
10. Разорен е запустениот град; сите куки се затворени, не може да се влезе.
11. Плачат за вино по улиците; потемне секаква радост; изгонета е секаква веселба од земјата.
12. Во градот остана само пустош, портите се искршени.
13. А среде земјата, ме у народите, ке биде истото, што станува кога маслинки тресат или пабирки од гроздобер.
14. Тие ке го кренат гласот свој, ке ликуваат во величието на Господа, силно ке воскликнуваат од морето.
15. И така, славете го Господа на исток, по островите морски - славете Го името името на Господа, Бога Израилев.
16. Од крајот на земјата слушаме песна: 'Слава на Праведниот!' И реков јас: 'Тешко мене, тешко мене! Злодејци зло вршат, на зол начин дејствуваат злодејците.
17. Ужас, јама и стапица за тебе, жителе земни!'
18. Тогаш, оној што избега од викот на ужасот, ке падне во јама; и кој ке излезе од јамата, ке падне во стапица; зашто прозорците од небесната височина ке се отворат, и основите земни ке се разнишаат.
19. Замјата се разрушува, земјата се распа а, земјата е силно разнишана;
20. земјата се ниша како пијан и се лула како лулка, и беззаконието и теже врз неа; таа ке падне - и повеке нема да стане.
21. И во тој ден Господ ке ја посети војската на висините, ке ги посети и земните цареви на земјата.
22. И ке бидат собрани наедно како затвореници во затвор, и ке бидат заклучени во темница и по многу денови ке бидат казнети.
23. Тогаш месечината ке поцрвени, и сонцето ке се засрами, кога Господ Саваот ке се зацари на гората Сион и во Ерусалим, и пред неговиот старешини ке стане слава.

Глава 25

1. Господи, Ти си Бог мој; ќе Ти возвеличам, ќе го восфалам името Твое, зашто си извршил премудри дела; определени во старо време и вистинити. Амин.
2. Ти го претвори градот во грамада од камења, цврстата тврдина - во урнатини; нема повеќе во градот дворци на другоплеменици; никогаш нема да биде востановен.
3. Затоа ќе Те прославуваат силните народи; градовите на страшните племиња ќе се плашат од Тебе;
4. оти Ти беше прибежиште на сиромавиот, прибежиште на немоќниот во тешко време за него, заштита од бура, сенка од припек; зашто гневното дишење на насилниците прилегаше на бура против карпа.
5. Ти го скроти бујствувањето на непријателите, како припек - во безводно место; веселбата на угнетувачите е задушена, како припек - сенка од облак.
6. И Господ Саваот ќе стави врз таа планина за сите народи трпеза со добри јадења, трпеза со чисти вина, со богати јадења од коски и најчисти вина;
7. врз таа планина ќе ја уништи покривката, што ги покрива сите народи, покривка, која лежи врз сите племиња.
8. Смртта ќе биде проголтана за секогаш, ќе ги избрише Господ Бог солзите од сите лица, и ќе го симне срамот од Својот народ во целата земја, зашто така вели Господ.
9. И ќе речат во тој ден: 'Еве, Он е нашиот Бог! На Него се надевавме, и Он не спаси! Он е Господ; Него Го чекавме; да се возрадуваме и развеселиме за спасението од Него!
10. Оти раката на Господа ќе почива врз таа планина, и Моав ќе биде прегазен на местото свое, како што се гази слама на буниште.'
11. И макар што ги размавна среде него рацете Свои, како што ги размавнува оној што плива, но Бог ќе ја понизи гордоста негова заедно со лукавството на рацете негови.
12. И ќе ја собори, ќе ја разруши тврдината со твоите високи ѕидишта, ќе ја кутне на земја, во прав.

Глава 26

1. Во тој ден ке биде испеана во земјата Јудина оваа песна: 'Градот ни е јак, место ѕидини и
опкопи Бог ни даде спасение.
2. Отворете ги портите; нека влезе праведниот народ, кој ја пази вистината.
3. Цврстиот по дух Ти го пазиш во совршен мир, зашто на Тебе се надева.
4. Недевајте се на Господа за секогаш, зашто Господ Бог е вечна тврдина;
5. Он ги собори оние, што живееја на високо; - градот, што стоеше виско го собори, го кутна на
земја, го фрли во прав.
6. Нога го гази, нозете на сиромавиот, стапките на бедните.
7. Патот на праведниот е прав; Ти ја израмнуваш неговата патека.
8. На патот на Твоите судови, Господи, ние на Тебе се надеваме; душата наша се стремеше кон
Твоето име и кон споменот за Тебе.
9. Со душата своја се стремевме кон Тебе ноке, и со духот свој ке Те бараме во внатрешноста
своја од рани зори; зашто, кога Твоите пресуди се извршуваат на земјата, тогаш жителите на
светот се учат на правда.
10. Ако нечесен биде помилуван, тој нема да се научи на правда, - ке злодејствува во земјата
на праведните и нема да погледне на величието Господово.
11. Господи! Раката Твоја беше високо крената, но тие не ја видоа; ке видат и ке се посрамат
оние, што го мразат Твојот народ; оган ке ги голтне Твоите непријатели.
12. Господи! Ти ни даруваш мир, зашто и сите наши дела Ти ги уредуваш за нас.
13. Господи, Боже наш! Други господари, освен Тебе, владееле над нас; но само преку Тебе
ние го славиме Твоето име.
14. Мртвите нема да оживеат; нивните сенки нема да станат, зашто Ти ги посети и истреби, го
уништи секој спомен за нив.
15. Ти го намножи народот, Господи, го намножи народот. - Се прослави Себе Си, ги рашири
сите земни граници.
16. Господи, бидејки во беда, тие Те бараа; изливаа тивки молитви, кога ги стигнуваше Твојата
казна.
17. Како непразна жена, кога ке се ра а, се мачи, вика од болки, така бевме ние пред Тебе,
Господи.
18. Бевме непразни, се мачевме, - и како да ра авме ветар; спасение не и достививме на
земјата, и други жители во вселената не се појавија.
19. Твоите мртовци ке оживеат, мртвите тела ке воскреснат! Разбудете се и ликувајте вие,
соборените во прав; зашто Твојата роса е роса на растенијата, и земјата ке ги исфрли
мртовците.
20. Ајде народе Мој, влези во покоите свои и затвори ги зад себе вратите свои, сокри се за миг,
додека да мине гневот;
21. зашто, ете, Господ излегува од Своето живеалиште да ги казни жителите земни за нивното
беззаконие, и земјата ке ја открие голтнатата од неа крв и повеке нема да ги крие своите
убиени.'

Глава 27

1. Во тој ден Господ ќе го порази со Својот тежок, со Својот голем и јак меч левијатанот -
змејот што лета, а левијатанот - лукавиот змеј и ќе го убие морското чудовиште.
2. 'Во тој ден запејте за Него - за сакaното лозје.'
3. Јас, Господ, сум негов чувар, во секој миг го напојувам; ноќе и дење го вардам, за да не
влезе некој во него.
4. Гнев нема во Мене. Но ако некој Ми покаже во него трње и боцки, ќе кренам против него
војна, ќе го изгорам сосема, -
5. освен, ако пребегне кон заштитата Моја и склучи мир со Мене. Тогаш нека склучи мир со
Мене.
6. Во идните дни Јаков ќе се вкорени; Израил ќе пушти гранки и ќе расцути; и вселената ќе се
исполни со плодови.
7. Така ли го поразуваше Он, како што ги поразуваше оние, кои него го поразуваа? Така ли ги
убиваше, како што се убивани оние, кои него го убиваа?
8. Со мерка го казнуваше Ти, кога го отфрлаше; исфрли го со силниот Свој здив, како во ден на
источен ветар.
9. И преку тоа ќе се избрише беззаконието на Јакова; а плод од тоа ќе биде: ќе се симне гравот
од него, кога сите камења од жртвениците ќе ги претвори во грутка вар, нема повеќе да
стрчат млади шуми и идоли на сонцето.
10. Затоа утврдениот град ќе запустее, живеалиштата ќе бидат напуштени и зафрлени како
пустиња. Таму ќе пасе теленце, таму ќе лежи и ќе ги подјадува гранчињата негови.
11. Кога гранките ќе му се исушат, ќе ги искршат; ќе дојдат жени и ќе ги изгорат. Бидејќи тој
народ е неразумен, Творецот негов нема да го сожали, Создателот нема да го помилува.
12. Но во тој ден Господ ќе растресе се од големата река до потокот Египетски, а вие,
синовите Израилеви, ќе бидете собрани еден до друг;
13. во тој ден ќе затруби голема труба, и ќе дојдат оние што се загубиле во Асирската земја и
прокудените во Египетската земја и ќе Му се поклонат на Господа на светата гора во
Ерусалим.

Глава 28

1. Тешко му на венецот, со кој се гордеат пијаниците Ефремови! Тешко му на свенатото цвеке - негов гиздав украс - цвеке среде на убрената долина на замаените од вино!
2. Ете, јакиот и силниот во Господа како пороен дожд со град, како погубна луња, како разлеана поплава од бурни води, со рака ке ги обори сите на земја.
3. Со нозе се гази венецот, со кој се гордеат Ефремовци.
4. И со свенатото цвеке - неговиот гиздав украс - цвеке среде на убрената долина, станува истото, како што станува со смоквата, рано узреана: штом некој ке ја види, веднаш ја зема в рака и ја каснува.
5. Во тој ден Господ Саваот ке биде убав венец и славна круна за остатокот од Својот народ.
6. Дух на правосудие за оној што седи во судот и машкот за оние, кои го отфрлуваат непријателот до портите.
7. Но и тие се нишаат од виното и го збркуваат патот свој од сикер: свештеник и пророк се препнуваат од силни пијалоци; победени се од вино, избезумени од сикер, во гледањето се збркуваат во судењето се сопнуваат.
8. Зашто сите трпези се полни со одвратни повракања, нема чисто место.
9. А велат: 'Кого сака тој да учи на знаење, и кога да вразумува со проповед? Дали деца, кои се одбиени од градно млеко, одделени од мајчините гради?
10. Зашто се е заповед врз заповед, заповед врз заповед, правило врз правило, правило врз правило, тука малку и таму малку.'
11. Оти со неразбирлив говор и на ту јазик ке му зборуваат на тој народ.
12. Им говореа: 'Еве одмор, дајте му одмор на изморениот, и ете му одмор.' Но тие не сакаа да слушаат.
13. И стана во нив според словото Господово: заповед врз заповед, заповед врз заповед, правило врз правило, правило врз правило, тука малку, таму малку, - така што тие ке отидат, ке паднат ничкум и ке се разбијат, ке паднат во стапица и ке бидат уловени.
14. И така, слушајте го словото Господово, хулители, управници на овој народ, кој е во Ерусалим.
15. Бидејки говорите: 'Сме склучиле сојуз со смртта и со пеколот сме направиле договор: кога ке минува камшикот, кој поразува се, тој нема да дојде до нас, оти лагата ја направивме наше засолниште и со измама ке се прикриеме', -
16. затоа вака вели Господ Бог: 'Ете, Јас полагам во основата на Сион камен, - камен испитан, аголен, скапоцен, темелен: кој верува во него, нема да се посрами.
17. Ке поставам суд за мерило и теразија за правдата; градот ке го истреби засолништето на лагата, и води ке го потопат местото на заклонот.
18. И сојузот ваш со смртта ке биде уништен, договорот ваш со пеколот нема да остане. Кога ке мине камшикот, кој поразува се, вие ке бидете згазени.
19. Штом ке мине тој, ке ве фати; а тој ке оди секое утро, дење и ноке и само слухот за него ке предизвикува ужас.'
20. Многу кратка ке биде постелката, за да се протега; многу тесна и покривката, за да се завитка со неа.
21. Зашто Господ ке се крене, како на гората Ферасим; ке се разгневи, како во Гаваонската долина, за да го изврши делото Свое, необично дело, и да ја заврши работата Своја, Своја чудна работа.
22. И така, не потсмевајте се, за да не станат оковите ваши поцврсти; зашто јас чув од Господа, Бога Саваот, дека е одредено истребување за целата земја.
23. Приклонете го увото и полушајте го гласот мој; бидете внимателни, ислушајте ја речта моја.
24. Земјоделецот секогаш ли ора, за да посее, секогаш ли ора бразди и ја израмнува земјата своја?

25. Не, откако ќе и го израмни лицето, тој сее граор, распрскува ким или фрла пченица, на редови и јачмен во определеното место, а најпосле ‘рж по сртовите.
26. И на таков ред го учи неговиот Бог; Он го упатува.
27. Зашто не вршат граор со чукање, ниту тркалата што вршат го газат кимот; туку со стап го чукаат граорот, и со стап го чукаат и кимот.
28. Житото го вршат, но не го дробат; пуштаат преку него вршечки колца со коњи, но не го смачкуваат.
29. И тоа станува од Господа Саваот: чудни се неговите судови, голема е Неговата премудрост!

Глава 29

1. Тешко му на Арил, на градот Арил, каде што живееше Давид! Притурете година врз година; нека колат жртви.
2. Но Јас ке го притеснам Арил; и ке има плач и тагување; тој ке остане при Мене како Арил.
3. Ке се сместам на логорување околу тебе и ке те стаснам со набљудувачка стража, ке подигнам против тебе тврдини.
4. И ке бидеш понизен, ке говориш како од под земја, и зборот твој ке биде глув како говор од под прав, и гласот твој ке биде како глас на оној што говори од стомак, и зборот твој ке се шепоти од под правот.
5. Многу твои непријатели ке бидат како ситен прав, а множеството угнетувачи - како разевана плева; и тоа ке стане ненадејно, во еден миг.
6. Господ Саваот ке те посети со гром и потрес, со силен глас, со бура и виор, со пламен од оган што голта се.
7. И како сон, како нокно видение во сон ке биде мноштво од сите народи, што војуваат против Арил, од сите, излезени против него и тврдините негови, и од оние, што го притесниле.
8. И како што гладен сонува, дека божем јаде, но се разбудува, и душата му е празна; и како што жеден сонува дека божем пие, но се разбудува, и ете се мачи, и душата му е жедна: истото ке стане и со множеството од сите народи, што војуваат против горaта Сион.
9. Чудете се и восхитувајте се: тие ги ослепија другите, и сами ослепеа; тие се пијани, но не од вино, - се занесуваат, но не од сикер;
10. зашто Господ испрати врз вас дух на успивање и ги затвори вашите очи, о пророци, и ги сокри вашите глави, о јасновидци!
11. И секое пророштво за вас е она исто, што се зборовите во запечатената книга, што му ја даваат на оној, кој знае да чита книга, и велат: 'Прочитај ја', а тој одговара: 'не можам, зашто е запечатена.'
12. И му ја даваат книгата на оној, кој не знае да чита, и велат: 'Прочитај ја'; и тој одговара: 'Не знам да читам.'
13. И рече Господ: 'Бидејки овој народ се приближува кон Мене со устата своја, и со јазикот свој Ме почитува, а срцето негово му останува далеку од Мене, и почитувањето нивно пред Мене е само научено човечко правило;
14. затоа, ете, Јас ке постапам пак необично со овој народ, чудно и чудесно, така што мудроста на мудреците негови ке загине, и разум во разумните нема да има.
15. Тешко на оние што мислат да се сокријат во длабочината, за да го скријат кроежот од Господа, кои ги вршат делата свои во мрак и велат: 'кој ке не види, и кој ке не дознае'?
16. Каква неразумност? Можеме ли да го сметаме грнчарот за глина? Ке каже ли делото за оној што го направил: тој ме направи? И ке каже ли направеното за мајсторот свој: тој не разбира?
17. Уште малку, сосема малку, и Ливан нема ли да се претвори во градина, а градината нема ли да се претвори во гора?
18. И во тој ден глувите ке ги чујат зборовите од книгата, и очите на слепите ке прогледаат од темнината и мракот.
19. И оние што страдаат, се повеке и повеке ке се радуваат во Господа, а сиромасите и бедните лу е ке воскликнуваат во Светецот Израилев;
20. зашто нема повеке да има силник, хулител ке исчезне; а ке бидат истребени и сите што смислуваат зло,
21. кои го збркуваат човекот со зборови и му распнуваат мрежи на оној, кој бара суд кај портите и го отфрлаат правиот.
22. Затоа така вели Господ за Јакововиот дом, Оној, Кој го откупи Авраама: тогаш Јаков нема да биде во срам и лицето негово веке нема да побледува.
23. Зашто кога ке ги види околу себе децата свои, дело на Моите раце, тој свето ке го почита

името Мое и свето ке го почитува Светецот Јаковов, со трепет ке стои пред Бога Израилев.
24. Тогаш оние што се со духот заблудени ке ја познаат мудроста, и непокорните ке се вразумат.

Глава 30

1. Тешко им на непокорните синови, вели Господ, кои се советуваат, но без Мене, и склучуваат сојузи, но не според Мојот сух, за да додаваат грев врз грев:
2. а да не ја прашаат устата Моја, одат во Египет, за да се поткрепуваат со силата на Фараонот и да се сокријат под сенката на Египет.
3. Но силата Фараонова ке биде срам за вас, а засолништето под сенката на Египет - бесчестие;
4. зашто кнезовите негови веке се во Соан, а гласниците негови стигнале до Ханес.
5. Сите тие ке бидат посрамени заради народот, кој е бескорисен за нив; од него нема да има ни помош, ни корист, туку - срам и позор.
6. Натоварени животни одат кон југ, по земјата на гнетот и притеснувањето, од каде што излегуваа лавови и лавици, змии и змејови што летаат; тие ги носат на грбот на осли своите богатства и врз грбовите на камили - своите ризници кон народ, кој нема да ми донесе полза.
7. Зашто помошта од Египет ке биде залудна и без корист; затоа Јас им реков: нивната сила е да седат спокојно.
8. Сега оди, нацртај им го тоа на штичка, и запиши го во книга, за да остане за во иднина, засекогаш и довека.
9. Зашто тоа е народ непокорен, деца лажливи, деца, кои не сакаат да го слушаат законот Господов,
10. кои им говорат на јасновидците: 'престанете да предвидувате', и на пророците: 'не ни пророкувајте правда, говорете ни ласкаво, претскажувајте го она што ни е пријатно;
11. слезете, тргнете се од патеката; отстранете го од очите наши Светецот Израилев.'
12. Затоа вака вели Светецот Израилев: бидејки вие го отфрливте тоа слово, а се надевате на измама и неправда, и се облегнувате на тоа,
13. затоа ова беззаконие ке биде за вас како пукнатина надвисната за да падне, чие уривање ке стане ненадејно, во еден миг.
14. И Он ке ја скрши, како што кршат глинен сад, разбивајки го немилосрдно, така што во кршот да не се најде ни парченци, со кое да се земе оган од огниште, или да се зафати вода од вир;
15. зашто вака вели Господ Бог, Светецот Израилев: 'Ако останевте на местото и мирувавте, ке се спасевте; во тишината и надежта е ваша сила, но вие не сакавте
16. и велевте: ‘не, ние ке избегаме на коњи‘, - затоа и ке бегате; ‘ние со брзи коњи ке избегаме‘ - затоа и оние што ве гонат, ке бидат брзи.
17. Од стравот на еден иљада ке бегате, од стравот на петмина ке бегате така, што вашиот остаток ке биде како граничен знак на врвот од планината и како знаме на рид.'
18. И затоа Господ не брза да ве помилува, и затоа уште се воздржува, за да се смили над вас; зашто Господ е Бог на правдата - блажени се сите што се надеваат на Него!
19. Народот ке живее во Сион, во Ерусалим; ти нема многу да плачеш, Бог ке те помилува, по гласот на твојот плач, и штом ке го чуе, - ке ти одговори.
20. И ке ви даде Господ леб кога сте во мака и вода по потреба; твојот Учител нема повеке да се крие, а очите твои ке Го гледаат твојот Учител;
21. аки свртите надесно, ако свртите налево, ушите ваши ке го слушаат словото, кое говори зад вас - ете го патот, врвете по него!
22. Тогаш ке ги сметаш за одвратност излиените од твое сребро идоли и опковани од твое злато кипови; ти ке ги фрлиш како нечистотија; ке им речеш - иставете се оттука.
23. И Он ке даде дожд врз твоето семе, со кое ке ги засееш нивите, а лебот, што го ра а земјата, и тој ке биде изобилен и вкусен; стадата твои во тој ден ке пасат по широки пасишта.
24. Воловите и ослите, што ги обработуваат нивните, ке јадат посолена крма, исчистена со лопата и веалка.
25. По секоја висока гора и по секој издигнат рид ке потечат бразди, потоци вода, во денот на

големиот пораз, кога ќе паднат кулите.
26. И светилната на месечината ќе биде како светлина на сонцето, а светлината на сонцето ќе биде седумпати посветла, отколку светлина на седум дена, во тој ден, кога Господ ќе ја преврзе раната на Својот народ и ќе ги излекува неговите рани.
27. Ете, името на Господа иде од далеку; гневот Негов гори, пламенот Негов е силен; устата Негова е полна со негодување, а јазикот Негов е како оган, што голта;
28. дишењето Негово е како разлеан поток, кој се крева дури до вратот, за да ги просее народите до истоштување; и во челустите на народите ќе има узда, што ќе ја упатува кон заблуда.
29. А кај вас ќе има песни, како преку нокта на свештен празник, и веселба во срцето, како кај оној што оди со свирка на гората Господова, кон тврдината Израилева.
30. И ќе загрми Господ со Својот величествен глас и ќе им го покаже замавот на Својата мишка со силен гнев и со пламен огнен, кој се проголтува, во бура, во силен дожд и во град.
31. Зашто од гласот на Господа ќе стрепен Асур, поразуван со жезло.
32. И секое движење спрема определениот му жезол, кој Господ ќе го управи против него, ќе биде со тимпани и гитари, и Он ќе оди на опустошувачка војна против него.
33. Зашто Тофет веќе одамна е подготвен; тој е подготвен и за царот - длабок и широк; во кладата негова има многу оган и дрва; здивот на Господа, како поток од сулфур, ќе го запали.

Глава 31

1. Тешко им на оние што одат во Египет за помош: кои се надеваат на коњи и се потпираат на коли бојни, зашто биле многу, и на коњаници, зашто биле многу силни, а на Светецот Израилев не погледнуваат и кон Господа не прибегнуваат!
2. Но премудар е Он; и ке испрати беда, и нема да ги измени зборовите Свои; ке се крене против домот на нечесните и против помошта на оние, што вршат беззаконие.
3. Египтјаните се лу е а не Бог; и коњите нивни им се тело, а не дух. Ке ја протегне раката Своја Господ, и ке се сопне заштитникот, ке падне заштитуваниот и сите заено ке загинат.
4. Зашто вака им рече Господ: 'Како лав, како лавче, кое рика над пленот свој, макар и многу овчари да му викаат, од викањето нивно нема ни да трепне и пред нивното множество нема да отстапи, - така Господ Саваот ке слезе да војува за горага Сион и за нејзиниот рид.
5. Како птиците - пиленцата, така Господ Саваот ке го покрие Ерусалим, ке го заштити и ке го избави, ке го сожали и ке го спаси.'
6. Обрнете се кон Оној, од Кого толку сте отстапиле, синови Израилеви!
7. Во тој ден секој човек ке ги отфрли своите сребрени и златни идоли, што рацете ваши ги направија вам за грев.
8. И Асур ке падне не од човечки меч, нема човечки меч да го премавне, - тој ке избега од мечот; младите негови ке плакаат данок.
9. И од страв тој ке избега покрај тврдината своја; кнезовите негови ке се плашат од знак, вели Господ, чиј оган е на Сион, а огништето - во Ерусалим.

Глава 32

1. Ете, царот ќе царува по правда, а кнезовите ќе управуваат по закон;
2. секој од нив ќе биде како заштита од ветар и засолниште за лошо време, како водни извори во степи, како сенка од висока карпа во жедна земја.
3. И очите на оние што гледаат нема да бида закривани; ушите на оние што слушаат, ќе внимаваат.
4. И срцето на лесномислените ќе умее да расудува; оние што говорат на нос, ќе говорат јасно.
5. Простакот нема повеќе да го нарекуваат чесен, а за подмолниот нема да велат дека е честит.
6. Зашто простакот говори глупости и срцето негово мисли на беззаконие, за да дејствува лицемерно и да искажува хула проти Господа, да ја лишува од леб душата на гладниот и да го одзема пиењето од жедниот.
7. Кај подмолниот и средствата се погибелни: тој прави стапици, за да го погуби сиромавиот со лажливи зборови, макар што сиромавиот и да е прав.
8. А чесниот мисли на чесното и цврсто стои во се што е чесно.
9. Жени безгрижни, застанете, чујте го гласот мој; керки немирни, приклонете го увото кон зборовите Мои.
10. Уште една година и неколку дена, и ќе се ужаснете вие, безгрижни! Гроздобер нема да има и време за жетва нема да настане.
11. Стреснете се вие, безгрижни! Ужаснете се вие, невнимателни! Соблечете се, оголете се и крстот препашете го.
12. Ќе се бијат во гради за прекрасните полиња, за родната лоза.
13. Во земјата на народот Мој ќе растат трња и боцки; така ќе биде и во сите домови во градот што ликува;
14. зашто дворците ќе бидат оставени, шумниот град ќе биде напуштен; Офел и кулата ќе станат место пештери - прибежеште на диви осли и на стада што пасат.
15. Додека не се излие врз нас Духот одозгора, и пустињата не стане градина, и градината не почнат да ја сметаат за шума.
16. Тогаш ќе се воведе суд во таа пустиња, и правда ќе преуспева во плодоносното поле.
17. Дело на правда ќе биде мирот, и плод на правосудството - спокојство и безопасност засекогаш.
18. Тогаш народот Мој ќе живее во мирни живеалишта и во безопасни села и во пребивалишта на блажените.
19. И град ќе па а врз гората; градот ќе слезе во долината.
20. Блажени сте вие, што сеете при сите води и што испраќате таму и вол и осел.

Глава 33

1. Тешко тебе, опустошителе, кој не си бил опустошуван; грабачу, што не си ограбуван! Кога ке го завршиш опустошувањето, ке бидеш опустошен и ти; кога ке прекратиш со грабежите, и тебе ке те ограбат.
2. Господи, помилуј не, на Тебе се надеваме! Биди наша мишка од рани зори и наше спасение во невоља!
3. Од страшниот глас Твој ке избегаат народите; кога ке се кренеш, ке се распрстан племињата,
4. ке го истребат пленот ваш, како што гасеница истребува; ке се нафрлат врз неа, како што скакулци се нафрлуваат.
5. Возвишен е Господ, Кој живее во височините; Он ке го исполни Сион со суд и правда.
6. Ќе настанат твоите безопасни времиња, изобилно спасение, мудрост и знаење; стравот од Господа ке биде твоето богатство.
7. Ете, нивните јунаци викаат по улиците; пратениците за мир горко плачат.
8. Патиштата запустеа; патници веке нема; Он го наруши договорот, го разурна градот, - за ништо не ги смета лу ето.
9. Земјата тагува, се суши; Ливан е посрамен, овенат; Сарон заприлега на пустиња, а Васан и Кармил се оголени од лисјата свои.
10. Сега ке станам, вели Господ, сега ке се издигнам, сега ке се возвисам.
11. Сено сте зачнале, слама ке родите; дишењето ви е оган, кој ке ве голтне.
12. И народите ке бидат како вар, што врие, како пресечено трње ке бидат изгорени во оган.
13. Слушајте, вие, далечни, што ке направам; и вие, блиски, познајте ја Мојата мок.
14. Се уплашија грешниците на Сион; морници го обзедоа нечесните: 'Кој од нас може да живее при оган што голта? Кој од нас може да живее при вечен пламен?'
15. Оној, што оди во правда и говори вистина; кој презира печалба преку угнетување, ги воздржува рацете свои од подароци, ги затина ушите за да не слуша за крвнина, и ги затвара очите да не го гледа злото, -
16. тој ке живее на висините: засолниште му се непристапните карпи; ке му се даде леб; водата негова нема да пресуши.
17. Очите твои ке го видат Царот во Неговата убавина, ке видат далечна земја;
18. само срцето твое ке си спомни за ужасите: 'Каде е оној, што пребројуваше? Каде е оној, што го одмеруваше данокот? Каде е оној, што ги надгледуваше кулите?'
19. Нема повеке да видиш народ свиреп, народ со неразбирлив збор, со јазик ту , несфатлив.
20. Погледни го Сион, градот на вашите празнични собранија; очите твои ке го видат Ерусалим, мирно живеалиште и непоколеблива скинија; столбовите нејзини никогаш нема да се помрднат, и ниедно од јажињата нема да се скине.
21. Таму кај нас великот Господ ке биде место реки, место широко канали; таму нема да влезе ниедна ла а со весла, ниту ке премине голем кораб.
22. Зашто Господ е наш судија, Господ е наш законодавец, Господ е наш цар: Он ке не спаси.
23. Ослабнаа јажињата твои, не можат да ги додржат јарболите и да ги затегнат платната. Тогаш ке има голем дележ на пленот, така и сакатите ке тргнат по грабеж.
24. И ниеден од жителите нема да каже: 'болен сум'; па на народот што живее таму ке му бидат простени гревовите.

Глава 34

1. Пристапете, народи; слушајте и внимавајте, племиња! Нека слуша земјата и се што ја исполнува, вселената и се што се ра а во неа!
2. Зашто гневот на Господа е врз сите народи, а јароста Негова врз целата нивна војска. Он ке ги уништи, ке ги предаде на погибел.
3. И нивните убиени ке бидат расфрлани, и од труповите нивни ке се крене смрдеа; по планините ке потече нивна крв.
4. И ке излезе сета небесна војска, и небото ке се свитка како книжен свиок; сета војска нивна ке падне, како што па а лист од лоза, како свенат лист - од смоква.
5. Зашто мечот Мој се опи на небото: ете, за суд слегува тај над Едом и над народот, за да биде казнет народот што го проколнав.
6. Мечот Господов ке се насити со крв, ке се здебели од маснотија, од јагнешка и козја крв, од маснотиите на овнешките бубрези: зашто Господ има жртва во Восор, и голем колеж во земјата Едомска.
7. И биволи ке паднат со нив и телиња заедно со волови, земјата ке се опие од крвта нивна, а правот нивни ке се здебели од маснотија.
8. Зашто настапи денот за одмазда Господова, годината на отплата за Сион.
9. И реките негови ке се претворат во катран, а правот негов - во сулфур; и земјата негова ке биде запален катран;
10. нема да гасне ни дење, ни ноке; и димот нејзин вечно ке излегува, од род во род ке остане запустена; засекогаш нема да мине никој по неа;
11. И ке ја завладеат пеликани и ежови, буфови и гаварни ке се населат во неа; и ке протегнат по неа јаже за разорување и мера за унишутвање.
12. Никој нема да остане таму од нејзините старешини, кои ке ги повикаат да бидат цареви; сите кнезови нејзини ке бидат уништени.
13. Дворците нејзини ке обраснат со трње, а тврдините нејзини - со коприва и пиреј; таа ке им биде живеалиште на шакалите, свірталиште на нoeви.
14. Ѕверови пустински ке се срекаваат со диви мечки, козли ке се повикуваат еден на друг; таму вештерки ке се одмараат и ке но аат спокојство.
15. Таму ке свие гнездо змија што лета, ке несе јајца, ке веде малечки и ке ги собира под сенката своја; таму и јастреби ке се собираат еден со друг.
16. Најдете во книгата Господова и прочитајте; ниедно од тие нема да одмине, едно со друго нема да се замени. Оти самата Негова уста заповеда, самиот дух Негов ке ги собере.
17. Зашто Он Самиот им фрли жреб, Неговата рака ке им ја раздели со мерка; засекогаш тие ке ја владеат, од род во род ке живеат во неа.

Глава 35

1. Ќе се развесели пустињата и сувата земја, и ненаселената земја ќе се зарадува и ќе расцути како крин;
2. прекрасно ќе цути и ќе се радува, ќе ликува и ќе се весели; славата на Ливан ќе му се даде, великолепието на Кармил и Сарон; тие ќе ја видат славата на Господа, величината на нашиот Бог.
3. Закрепнете ослабени раце и зајакнете колена што треперите;
4. кажете им на плашливите со дух: бидете цврсти, не плашете се: ете, вашиот Бог иде со одмазда, со отплата Божја: Он ќе дојде и ќе ве спаси.
5. Тогаш ќе им се отворат очите на слепите, ушите на глувите ќе се отнат;
6. тогаш куциот ќе скока како елен, и јазикот на немиот ќе пее; зашто води ќе бликнат во пустињата, и потоци во степите.
7. И водниот привид ќе се претвори во езеро, а жедната земја - во водни извори; во живеалиштето на шакалите, каде што тие се одмараат - ќе стане место за трска и рогозина.
8. И таму ќе има друм, и патот по него ќе се нарече свет пат; нечистиот нема да оди по него; тој ќе биде само за нив; оние што одат по тој пат, дури и неискусните - нема да се загубат.
9. Лав нема да има таму, и лута ѕверка нема да се качува по него; тој нема да се најде таму, и ќе одат само откупените.
10. Ќе се вратат избавените од Господа, ќе дојдат на Сион со радосни извици; и вечна радост ќе биде над нивната глава; тие ќе најдат радост и веселба, а жалоста и воздишката ќе се оддалечат.

Глава 36

1. Во четиринаесеттата година на царот Езекија, асирскиот цар Сенахерим, стана против сите утврдени градови на Јудеја и ги презеде.
2. Тогаш асирскиот цар го прати Рапсака со голема војска од Лахис во Еурсалим при царот Езекија; и тој се запре кај водоводот на горниот водостој по патот за нивата на валавичарот.
3. И излезе при него Елијаким, Хелкиевиот син, началник на дворецот, и писарот Свена, и летописецот Јоах, Асафовиот син.
4. И им рече Рапсак: 'Кажете му на Езекија: вака вели големиот цар, царот асирски: каква е таа надеж, на која се надеваш?
5. Јас мислам, дека се тоа само празни зборови, а за војна се потребни совет и сила: и така, на кого се надеваш ти, па си се одметнал од мене?
6. Ете, ти многу се потпираш на Египет, на таа скршена трска, која, ако некој се потрпе на неа, ке му влезе во раката и ке ја прободе. Таков е Фараонот, царот египетски, за сите, кои се надеваат на него.
7. Ако ли ми кажеш: се надеваме на Господа, нашиот Бог, - тогаш на оној ли, чии светилишта и жртвеници ги замени Езекија и му кажа на Јуда и на Ерусалим: 'само пред овој жртвеник клањајте се?'
8. И така, влези во сојуз со мојот господар, царот асирски; - ке ти дадам две иљади коњи; можеш ли да испратиш јавачи за нив?
9. Па како сакаш да го натераш да отстапи водачот, еден од најмладите слуги на мојот господар, надевејки се на Египет, заради коли бојни и коњи?
10. Та зар јас без вољата на Господа тргнав против оваа земја, за да ја разорам? Господ ми рече: оди против таа земја и разори ја.
11. Тогаш Елијаким, Севна и Јоах му рекова на Рапсака: 'Говори им на слугите твои на арамејски, зашто ние разбираме, е не ни говори по јудејски, за да чуе народот, кој е на ѕидините.
12. И Рапсак рече: 'Зар само при твојот господар и при тебе ме испрати господарот мој да ги кажам овие зборови? Не, исто така и при лу ето, што седат по ѕидините, за да го јадат со вас изметот свој и да ја пијат мочта своја.'
13. Тогаш стана Рапсак и извика со висок глас по јудејски и рече: 'Чујте ги зборовите на големиот цар, асирскиот цар!
14. Вака вели царот: нека не ве мами Езекија, зашто тој не може да ве спаси;
15. И нека не ви дава надеж Езекија во Господа, велејки: 'Господ ке не спаси; овој град нема да биде предаден во рацете на царот асиски.'
16. Не го слушајте Езекија, зашто вака говори царот асирски: примирете се со мене и излезете пред мене, и секој нека го јаде плодот од лозјето свое и од смоквата своја и секој нека пие вода од својот кладенец,
17. додека не дојдам и ве земам во исто таква земја, каква што е и вашата земја, во земја на леб и вино, во земја на плодови и лозја.
18. И така, да не ве мами Езекија, велејки: 'Господ ке не спаси'. Боговите на народите ја спасија ли, секој својата земја од раката на асирскиот цар?
19. Каде се боговите на Емат и Арпад? Каде се боговите на Сепарваим? Ја спасија ли тие Самарија од мојата рака?
20. Кој од сите богови на тие земји ја спаси земјата своја од мојата рака? Та зар Господ ке го спаси Ерусалим од мојата рака?'
21. Но тие молчеа и не му одговорија ни збор, зашто од царот беше дадена повелба: не му одговарајте.
22. Тогаш отиде Елијаким, синот Хелкиев, началник на дворецот, и Севна писарот, и Јоах, син Асафов, летописец при Езекија, со раскината облека, и му ги предадоа зборовите на Рапсака.

Глава 37

1. Штом го чу тоа царот Езекија, ја раскина својата облека и се покри со врекиште, па отиде во домот Господов;
2. ги повика началникот на дворецот Елијакима, и писарот Свена, и старешините на свештениците, покриени со врекишта при пророкот Исаија, син Амосов.
3. И тие му рекоа: 'Вака вели Езекија: овој ден е ден на жалоста, казна и срам, зашто новороденчињата дојдеа до отворот на мајчината утроба, но сила нема за ра ање.
4. Можеби, Господ, твојот Бог, ке ги чуе зборовите на Рапсака, кого асирскиот цар, негов господар, го прати да Го навредува живиот Бог и да се подбива со зборовите, кои ги чу Господ, твојот Бог; за тоа принеси молитва за другите, што се уште живи.'
5. И отидоа слугите на царот Езекија при Исаија.
6. И им рече Исаија: 'Вака кажете му на вашиот господар: вака вели Господ: не плаши со од зборовите што ги чу, со кои Ме навредуваат слугите на асирскиот цар.
7. Ете, Јас ке испратам во него дух, и тој ке чуе вест и ке се врати во земјата своја, и Јас ке го поразам со меч во неговата земја.'
8. Тогаш Рапсак се врати и најде дека асирскиот цар војува против Ливна; зашто беше чул, оти господарот негов се повлекол од Лахис.
9. И тој чу за Тирхака, царот етиопски; нему му беа рекли: ете, тој излезе да војува со тебе. Кога го чу тоа, тој испрати гласници, при Езекија, велејки:
10. 'Вака кажете му на Езекија, царот Јудејски: нека не те мами твојот Бог, на Кого се надеваш, велејки: Ерусалим нема да биде предаден во рацете на царот асирски.
11. Ете, ти си чул што направија асирските цареви со сите земји, ставајки врз нив клетва; та ти ли ке се избавиш?
12. Боговите на народите, кои татковците мои ги разорија, ги спасија ли, го спасија ли Гозан и Харан, Рецеф и синовите не Еден, што се во Теласар?
13. Каде е царот ематски, и царот арпадски, и царот на градот Сефарваим, Ена и Ива?'
14. И го зеде Езекија писмото од рацете на пратениците и го прочита, па отиде Езекија во домот Господов и го отвори пред лицето Господово;
15. се помоли Езекија пред лицето на Господ и рече:
16. 'Господе Саваоте, Боже Израилев, Кој седиш на херувими! Ти единствен си Бог на сите земни царства: Ти си ги создал небото и земјата.
17. Приклони го, Господи, увото Свое и чуј; отвори ги, Господи, очите Свои и погледај, чуј ги зборовите на Сенахерима, кој испрати да хулат на Тебе, живиот Бог.
18. Навистина, Господи, асирските цареви ги опустошија сите краишта и земјите нивни.
19. Тие ги изнафрлаа во оган боговитениви; но тоа не беа богови, туку изработки од човечки раце, дрво и камен, затоа и ги уништија..
20. И сега, Господи, Боже наш, спаси не од раката негова: тогаш ке дознаат сите земни царства, дека Ти, Господи, си единствен Бог.'
21. И испрати Исаија, синот Амосов, до Езекија да кажат: вака вели Господ, Бог Израилев: 'За она што ти Ми се молеше против Сенахерима, царот асирски, -
22. еве го словото што Господ го изрече за него: ке те презре, ке ти се потсмее девицата, керката Сионова, ке ја заниша главата по тебе керката ерусалимска.
23. Кога ти прекоруваше и навредуваше? Против кого го подигна гласот и ги крена толку високо очите свои? Против Светецот Израилев.
24. Преку слугите свои ти го прекоруваше Господа, велејки: 'Со множеството мои коли се искачив на врвот од планините, врз ребрата на Ливан, ги исеков високите негови кедри, убавите негови кипариси, и стигнав до самиот врв негов, и до горичката негова;
25. и ископав и пиев вода; и со стапките на нозете свои ке ги исушам сите реки египетски.
26. Зар не си чул, дека Јас одамна го направив тоа, во стари дни го преднацртав, а сега го исполнив со тоа, дека ти го опустошуваш силните градови, претворајки ги во купишта

урнатини?
27. Жителите нивни изнемоштеа; треперат и остануваат во срам; станале како трева по полето и нежно тревно растение, како тревки по покривите и препламнато жито пред да биде искласано.
28. Ќе седнеш ли, ќе излезеш ли, или ќе влезеш - Јас знам сѐ, ја знам и дрскоста твоја против Мене.
29. За твојата дрскост против Мене и за тоа, дека твојата надуеност дојде до ушите Мои, ќе ја ставам алката Своја во ноздрите твои и уздата Своја - во устата твоја; ќе те вратам назад по истиот пат, по кој си дошол.
30. И, ете, ти, Езекија, доказ: јадете го оваа година израснатото од паднатото зрно, а во другата година - самоизраснатото; на третата, пак, година сејте и жнејте, садете лозја и јадете ги плодовите нивни.
31. Зашто преживеаните во домот Јудин, тие што ќе останат, пак ќе пуштат корен долку и ќе дадат плод горе,
32. оти од Ерусалим ќе произлезе остатокот, и од градот Сион - спасението. Тоа ќе го изврши ревноста на Господа Саваот.
33. Поради тоа вака вели Господ за асирскиот цар: 'нема да влезе тој во овој град, ниту ќе фрли таму стрела, и нема да се доближи до него со штит, ниту ќе ископа опкоп околу него;
34. по кој пат дошол, по истиот и ќе се врати, но во тој град нема да влезе, вели Господ.
35. Јас ќе го бранам овој град, за да го спасам поради Себе и заради Мојот слуга Давида.'
36. Тогаш излезе ангел Господов и погуби во асирскиот логор сто и осумдесет и пет илјади души. Утредента станаа, и, ете, насекаде имаше само мртви тела.
37. И отстапи Сенахирим, царот асирски, та си отиде, се врати и живееше во Ниневија.
38. И кога се клањаше во домот на својот бог Нимрох, синовите негови Адрамелех и Сарасар го убија со меч, а самите избегаат во Араратската земја. И место него стана цар синот негов Асардан.

Глава 38

1. Во тие дни Езекија се разболе смртно. И дојде кај него пророкот Исаија, синот Амосов, и му рече: 'Вака вели Господ: направи завет за домот свој, зашто ке умреш, нема да оздравиш.'
2. Тогаш Езекија се сврте со лицето кон ѕидот и се помоли на Господа велејки:
3. 'О, Господи! Сети се, дека јас одев пред Твоето лице верно и со предано срце кон Тебе и вршев она што беше угодно пред Твоите очи.' И силно заплака Езекија.
4. И дојде словото Господово кон Исаија и му беше речено:
5. 'Оди, кажи му на Езекија: вака вели Господ, Бог на татка ти Давида: ја чув твојата молитва, ги видов твоите солзи, и ете, додавам кон твоите дни уште петнаесет години,
6. ке те спасам тебе и овој град од раката на царот асирски. Да, ке го зачувам тој град.
7. И, еве ти знак од Господа, дека Господ ке го исполни словото, што го изрече.
8. Еве, ке ја вратам десет стапки назад сончевата сенка, која мина по стапките Ахазови.' И се врати сонцето десет стапки по стапките, по кои тоа слегуваше.
9. Молитвата на јудејскиот цар Езекија, кога беше болен и оздраве од болеста:
10. 'Си реков во себеси: кога ги преполовив дните свои, треба да влезам во портите на пеколот; јас сум лишен од остатокот на годините свои.
11. Јас реков: нема да Го видам Господа, Господа во земјата на живите; нема да видам повеке човек ме у оние што живеат во светот;
12. моето живеалиште се симна од местото и се оддалечени од мене како овчарски шатор; како ткаач треба да го пресечам животот свој; Он ке ме отсече од основа; дење и ноке чекав, дека Ти ке пратиш смрт.
13. Чекав до утрото; како лав Он ги кршеше сите мои коски; ден и нок чекав дека ке ми испрати смрт.
14. Како жерав, како ластовичка испуштав гласови, како гулаб тагував; очите мои гледаа кон небото: Господи, притеснет сум, спаси ме.
15. Што да кажам? Тој ми рече, и Тој направи. Мирно ке ги поминам сите години на животот свој, помнејки ја тагата на душата своја.
16. Господи, така живеат, и во сето тоа за Тебе ке живее мојот дух; Ти ке ме излекуваш, ке ми даруваш живот.
17. Ете, за добро ми беше силната тага, Ти ја спаси душата моја од погибелниот ров, ги фрли зад грбот Свој сите мои гревови.
18. Зошто не пеколот Тебе Те слави, не смртта Тебе те восфалува, не слезените во гроб се надеваат на Твојата вистина.
19. Живите, само живите ке Те прослават, како јас сега; таткото ке им ја соопшти на децата Твојата вистина.
20. Господ ке ме спаси; и ние во сите дни на нашиот живот со звуците на моите жици ке пееме песни во домот Господов.'
21. Тогаш рече Исаија: 'Нека донесат суви смокви, нека ги изгмечат и нека ги става врз чирот; и царот ке оздрави.'
22. А Езекија рече: 'Кој е знакот, дека ке отидам во домот Господов?'

Глава 39

1. Во тоа време вавилонскиот цар Меродах Валадан, син Валаданов, испрати до Езекија писмо и дарови, зашто беше чул, оти тој бил болен и оздравел.
2. Им се зарадува Езекија на гласниците и им ја покажа својата ризница, среброто и златото, пријатните мириси и скапоцените масла, целата своја оружница и се што се нао аше во неговата ризница, - не остана ништо, што не им го покажа Езекија во домот свој и по целото свое владение.
3. Тогаш дојде пророкот Исаија при царот Езекија и му рече: 'Што рекоа овие лу е? Од каде дојдоа при тебе?' Езекија одговори: 'Од далечна земја дојдоа тие при мене, од Вавилон.'
4. И праша Исаија: 'Што видоа тие во твојот дом?' Езекија одговори: 'Видоа се, што има во мојот дом; ништо не остана во мојата ризница, што да не им покажав.'
5. И му рече Исаија на Езекија: 'Ислушај го словото на Господа Саваот:
6. ете, ке дојдат дни, и се што има во домот твој и што собрале татковците твои до денес, се ке биде однесено во Вавилон; ништо нема да остане, вели Господ.
7. Ќе земат и од твоите синови, што ке произлезат од тебе, што ке ги родиш, и тие ке бидат евнуси во дворецот на вавилонскиот цар.'
8. А Езекија му рече на Исаија: 'Добро е словото Господово, што ти го изрече; а во себе помисли: барем ке има мир и сигурност во текот на моите дни.'

Глава 40

1. Утешувајте го, утешувајте го Мојот народ, вели вашиот Бог;
2. говорете му на Ерусалим, што му е по срце, и известувајте го, дека времето на неговата борба се исполни, дека за неправдата му е дадено задоволување, зашто од раката Господова доби двојно за сите свои гревови.
3. Гласот на оној што вика во пустињата говори: 'Пригответе Му пат на Господа, прави направете ги во пустињата патеките за нашиот Бог;
4. секој дол да се исполни, секоја планина и рид да се снизат; кривините да се исправат, и нерамните патишта да бидат израмнети;
5. и ке се јави славата Господова, и секоја плот ке го види спасението од Бога; зашто устата Господова го изрече тоа.'
6. Гласот говореше: 'Разгласувај!' и рече: 'Што да разгласувам?' - Секоја плот е трева, сета убавина нејзина е како полско цвеке.
7. Тревата се исушува, цвекето овенува, што ке дувне врз него здивот на Господа: така е и народот како трева.
8. Тревата се суши, цвекето свенува, а словото на нашиот Бог останува вечно.'
9. Искачи се на високата гора Сион, ти кој јавуваш добри вести за Сион, извиши го силно гласот свој, благоизвестителе Ерусалиме, подигни го, не плаши се. Кажи им на градовите Јудини: еве Го вашиот Бог!
10. Ете, Господ Бог иде со сила и мишката Негова е со власт. Ете, наградата Му е со Него, а отплатата Му е пред лицето Негово.
11. Како пастир ке го пасе Он стадото Свое: јагнињата ке ги земе Он во рацете и ке ги носи наградите Свои, и грижливо ке ги води доједените.
12. Кој ги исцрпел водите со раката своја и со педа го измерил небото, и со мерка го измерил правот земен, кој ги измерил на теразија планините и ридовите?
13. Кој го разбрал Духот на Господа, и Му бил Нему советник и Го учел?
14. Со кого се советувал Он, и кој Го вразумувал и Го поучувал во патот на правдата, и Го учел на знаење и Му го покажувал патот на мудроста?
15. Ете, народите се како капка од ведро, и се сметаат како прашинка на терезија. Ете, островите Он ги подигна како прашинки.
16. Ни Ливан не стигнува за жртвен оган, ни животните по него - за сепаленица.
17. Сите народи пред Него се како ништо, - за Него се помалку од ништо, и помалку се од суетата.
18. И така, со кого ке Го споредите Бога, и каква подобност ке Му најдете?
19. Уметникот го излева идолот, а златарот го покрива со злато и му додава сребрени веришки.
20. А кој е сиромав и нема што да му принесе, тој избира дрво, кое не гние, па бара искусен уметник за да направи идол, што ке стои цврсто.
21. Зар не знаете? Зар не сте слушале? Зар не ви е зборувано во почетокот? Зар не сте го разбрале тоа по основите на земјата?
22. Он е Оној, Кој седи над другот на земјата, а оние, што живеат на неа, се како скакулци пред Него; Он ги распослал небесата како танко платно и ги распнал како шатор за живеење.
23. Он ги претвора кнезовите во ништо, судиите земни ги прави да бидат ништожни.
24. Одвај посадени, одвај посеани, одвај се закоренил во земјата стракот нивни, штом Он ке дувне врз нив, тие се исушуваат; виорот ги однесува како плева.
25. 'Со кого ке Ме изедначите и со кого ке Ме споредите? - вели Светецот.
26. Кренете ги очите свои кон височините небесни и погледнете, кој ги создал? Кој го пресметал бројот на војската нивна? Он сите нив ги нарекува по име: поради големата мок и големата сила во Него ништо не недостига.
27. А како говориш ти, Јакове, и велиш, Израиле: 'Патот ми е сокриен од Господа, делото мое е

заборавено пред мојот Бог?'
28. Зар не знаеш? Зар не си слушал дека вечниот Бог, Кој ги создал краиштата на земјата, не се изморува и не изнемоштува; Неговиот разум е неиспитлив.
29. Он му дава силан на уморениот и му дарува јачина на изнемоштениот.
30. Се уморуваат и момчињата и ослабуваат, и млади лу е па аат,
31. а оние кои се надеваат на Господа, ке ја обноват силата своја: ке кренат крилја како орли, ке трчаат и нема да им биде тешко, ке одат и нема да се уморат.

Глава 41

1. Молкнете пред Мене, острови, и нека народите ги обноват силите свои; нека се приближат и нека речат: да излеземе заедно на суд.
2. 'Кој Го издига од исток Праведникот, кој Го повикува да оди пред Него? Кој Му ги предаде народите и Му ги покори царевите? Он ги претвори во прав со Неговиот меч, со Неговиот лак - во плева, развеана од ветар.
3. Он ги гонеше, одеше спокојно по патот, по кој никогаш не беше одел со нозете свои.
4. Кој го направи и изврши тоа? Оној, Кој во почетокот ги повика родовите; Јас, Господ, Јас сум првиот, и ме у последните - Јас сум истиот.
5. Островите видоа и се ужасија, краиштата земни затреперија. Тие се зближија и се собраа;
6. секој му помага на другарот свој и му вели на братот свој: 'Држи се!'
7. Ковачот го бодри леарот; кој ги сплескува со чекан листовите, му одобрува на оној, што кова на ковална, велејќи за спојката: 'добра е'; и ја зацврстува со клинци, за да биде цврста.
8. 'А ти, ти Израиле, слуго Мој, Јакове, кого Јас те избрав, семе на Авраама, пријателе Мој,
9. ти, кого го зедов од краиштата на земјата и го повикав од краиштата нејзини, и ти реков: Ти си Мој слуга, Јас те избрав и нема да те отфрлам.
10. Не плаши се, зашто Јас сум со тебе; не се вознемирувај, зашто Јас сум Бог твој; Јас ке те закрепам и ке ти помогнам, ке те поддржам со десницата на Мојата правда.'
11. Ете, постидени и засрамени ке останат сите, што се наежени против тебе, - ке бидат како ништо и ке загинат оние што се препираат со тебе.
12. Ќе ги бараш - и нема да ги најдеш, нив, кои непријателствуваат против тебе; кои се борат со тебе; ке бидат како ништо, наполно ништо;
13. зашто Јас сум Господ, Бог твој; те држам за твојата десна рака, ти велам: 'не плаши се, Јас ти помагам.'
14. 'Не се плаши, црву Јакове, малуброен Израиле, - Јас ти помагам, вели Господ, Јас твој Искупител, Светецот Израилев.'
15. Ете, Јас ке ти направам остар дикел, нов, назабен; ти ке ги кршиш и ке ги ситниш планините, и ридовите ке ги направиш како прав.
16. Ти ке вееш, ветрот ке ги разнесе, и виорот ке ги развее; а ти ке се зарадуваш во Господа, ке се фалиш со Светецот Израилев.
17. Сиромаси и неимотни бараат вода, и нема, јазикот им се исушува од жед: Јас, Господ ке ги чујам, Јас, Бог Израилев, нема да ги оставам.
18. Ќе отворам реки на врвот од горите и извори среде долини; пустињата ке ја направам езеро и сувата земја - водни извори;
19. ке насадам во пустиња кедар, ситим, мирта и маслинки, ке насадам во степите кипарис, јавор и бука наедно,
20. за да видат и познаат, и да ги разгледаат и разберат, дека раката Господова го направи тоа, дека Светецот Израилев го создаде тоа.
21. Претставете го делото свое, вели Господ; дајте ги доказите свои, вели Царот Јаковов.
22. Нека дојдат и нека ни кажат што ке биде; нека објават нешто, пред да стане, и ние ке проникнеме со умот свој и ке дознаеме, што ке биде потоа, или нека ни претскажат за иднината.
23. Кажете што ке биде во иднина, и ние ке познаеме дека сте богови, или направете нешто добро или лошо, за да се зачудиме и заедно со вас да видиме.
24. Но вие сте ништо, и делото ваше е ништожно; одвратен е оној што ве избра.'
25. Јас го подигнав од север, и тој ке дојде; од изгрев сонце ке го повикува името Мое и ке ги гази кнезовите како кал, и ке ги гази, како грнчар глината.
26. Кој објави за тоа од почетокот, за да знаеме, и многу порано, за да можеме да кажеме: 'навистина?' Но никој не кажал, никој не објавил, никој не ги чул вашите зборови.
27. Јас прв реков на Сион: 'ете го, и му дадов на Ерусалим благовесник.'

28. И така, Јас гледав, и немаше никого, ме у нив не се најде советник, за да можам да ги прашам, и тие да одговорат.
29. Ете, сите тие се ништо, ништожни се и делата нивни: ветар и ништожност се нивните идоли.

Глава 42

1. Еве го Мојот Слуга, Кого Го држам за рака, Мојот Избраник, кон Кого благоволи душата Моја. Ќе го положам Духот Свој врз Него, и Он ќе им биде суд на народите;
2. нема да викне, ниту да го подигне гласот Свој, нема да дозволи да го чујат на улиците;
3. скршената трска нема да ја здроби, и ленот што тлее нема да го угасне; ќе суди според вистината;
4. нема да ослабне, ниту ќе изнемошти, додека на земјата не утврди суд, народите ќе се надеваат на Неговиот закон.
5. Така вели Господ Бог, Кој ги создал небесата и нивното пространство, Кој ја раширил земјата со нејзините производи, Кој му дава здив на народот што е на неа, и дух на оние што одат по неа.
6. Јас, Господ, Те повикав во правда, цврсто ќе Те држам за рака и ќе Те пазам, ќе те поставам за завет на народот, светлина за незнабошците,
7. за да им ги отвориш очите на слепите, да ги изведеш врзаните од затвор и оние што седат во темнина - од темнина.
8. Јас сум Господ, тоа е Моето име, и нема да ја дадам славата Своја на друг, ниту честа Своја на идоли.
9. Ете, претскажаното порано се зби, и ново ќе известам; пред да стане тоа, Јас ќе ве известам.
10. Пејте Му на Господа нова песна, пофална за Него од земните краишта, вие што пловите по море, и се, што го полни, островите и оние што живеат на нив.
11. Нека издигне глас пустињата и нејзините градови, населбите, каде што живее Кидар; нека ликуваат оние што живеат во карпи, нека воскликнуваат од врвовите горски.
12. Нека Му воздадат слава на Господа, пофалата Негоав нека ја возвестат на островите.
13. Господ ќе излезе како исполин, ревноста ќе ја возбуди како војник; ќе извика и ќе подигне војнички вик; ќе се покаже силен против непријателите Свои.
14. Долго молчев Јас, трпев и се воздржував; сега ќе викам како родилка, ќе разурнувам и ќе голтам се.
15. Ќе опустошувам планини и ридови, и сета нивна трева ќе ја исушам; реките ќе ги направам острови, езерата ќе ги исушам.
16. Ќе ги поведам слепите по пат, што тие не го знаат, ќе ги водам по нејзини патеки, темнината ќе ја направа светлина пред нив, а кривите патеки - прави: ете, што ќе направам Јас за нив, и нема да ги оставам.
17. Тогаш ќе се свртат назад и со голем срам ќе се покријат оние, што се надеваат на идоли, кои им велат на идолите: вие сте наши богови.
18. Слушајте, глуви, и гледајте, слепи, за да видите.
19. Кој е толку слеп како што е Мојот слуга, и глув, како што е Мојот пратеник? Кој е толку слеп како што е возљубениот, кој е така слеп, како што е слугата Господов?
20. Ти си видел многу, но не си забележувал; ушите ти биле отворени, но не си слушал.
21. На Господа му било угодно заради правдата Своја да го возвеличи и прослави законот.
22. Но тоа е народ поробен и разграбен; сите тие се врзани во подземја и сокриени во темници; станале плен, и нема спасител, ограбени се, и никој не вели: врати го!
23. Кој од вас го приклонил увото кон тоа, кој викнал и го слушал за иднината?
24. Ког го предаде Јакова на разурнување и Израилот - на грабачи? Не е ли тоа Господ, против Кого згрешивме? Тие не сакаат да одат по патиштата Негови, ниту го слушаат законот Негов.
25. А Он ја излеа врз нив јароста на Својот гнев и жестокоста на војната: ти ги опкружи со пламен од сите страни, но тие не забележуваа; гореше во нив, но тие не го разбраа тоа со срце.

Глава 43

1. А сега вака вели Господ, Кој те создаде Јакове, и Кој те образувал, Изариле: не плаши се, зашто Јас те откупив, те нареков според името твое; ти си Мој.
2. Преку води ли ке минуваш, Јас сум со тебе; преку реки ли - тие нема да те потопат; ако тргнеш преку оган, нема да се изгориш, и пламенот нема да те обгори.
3. Зашто Јас сум Господ, Бог твој, Светецот Израилев, твојот Спасител; откуп за тебе го дадов Египет; Етиопија и Савеја ги дадов за тебе.
4. Бидејки си скап во очите Мои, многу си ценет; Јас те возљубив, затоа ке дадам други лу е за тебе, и народи за твојата душа.
5. Не плаши се, зашто Јас сум со тебе; од исток ке го доведам твоето племе и од запад ке го соберам.
6. На север ке му кажам: дај; и на југ: не задржувај; доведи ги синовите Мои оддалеку и керките Мои - од краиштата на земни,
7. секого, кој се нарекува со Моето име, кого сум го создал за Мое прославување, ги содадов и направив.
8. Изведи го слепиот народ, иако има очи, и глувиот, иако има уши.
9. Нека се соберат сите народи заедно, нека се соеднинат племињата. Кој од нив го претскажал тоа? Нека соопштат што било во почетокот; нека доведат сведоци од себеси и да се оправдаат, за да може да се чуе и да се каже: 'вистина е.'
10. А Мои сведоци, вели Господ, сте вие и Мојот слуга, што го избрав, за да знаете и да Ми верувате, да разберете дека сум тоа Јас: пред Мене немаше Бог, и по Мене нема да има.
11. Јас, Јас сум Господ, и нема Спасител освен Мене.
12. Јас предреков и спасив, однапред претскажав а друг немате, вие сте Мои сведоци, оти Јас сум Бог - вели Господ;
13. од почетокот на дните Јас сум ист, никој нема да се спаси од раката Моја; Јас ке направам, и кој ке го измени тоа?
14. Така вели Господ, вашиот Изкупител, Светецот Израилев; заради вас испратив во Вавилон и ги исфрлив сите резиња на затворите и Халдејците, кои се гордееја со кораби.
15. Јас сум Господ, вашиот Светец, Создателот на Израилот, вашиот Цар.
16. Така вели Господ, кој отвори во морето пат, по разбранувани води - патека.
17. Кој изведе бојни коли и коњи, војска и сила; сите легнаа наедно, не станаа; угаснаа, како фитил истлееја.
18. Но вие не се секавате за поранешното и за некогашното не помислувате.
19. Ете, Јас правам нешто ново; еве сега ке се јави; зари и тоа не сакате да го знаете? Ке направам пат низ степи, реки - преку пустиња.
20. Полските ѕверови ке Ме прослават, шакали и ноеви, зашто ке им дадам вода во пустињата, реки - во суви степи, за да го појам Мојот избравн народ.
21. Овој народ го создадот за Себеси; тој ке ја разгласува славата Моја.
22. А ти, Јакове, не си Ме викал: ти, Израиле, не си се трудел за Мене.
23. Не си Ми ги принесувал своите јагниња за сепаленица, ниту си Ме почитувал со жртвите свои. Не сум те принудувал да Ми служиш со лебни приноси и не сум ти дотежнувал, барајки од тебе да Ми кадиш.
24. Не си ми купувал со сребро кадило, ниту си Ме наситувал со мрсно месо од жртвите свои; но со твоите гревови си Ме оптоварувал; со твоите беззаконија си Ми дотежнувал.
25. А Јас, Јас Сам ги бришам твоите престапи заради Самиот Себе и гревовите твои нема да ги спомнам.
26. Спомни Ме; ке се судиме; говори, за да се оправдаш.
27. Твојот праотец згреши, а твоите застапници отстапија од Мене.
28. Затоа настојниците на светилиштето ги лишив од свештенство, Јакова го предадов на проклетство и Израилот на подбив.

Глава 44

1. А сега слушај, Јакове, слуго Мој, и ти, Израиле, кого Јас го избрав.
2. Вака вели Господ, Кој те создаде и те обликува, Кој ти помага од мајчината утроба: не плаши се, слуго Мој Јакове, и возљубен Мој, кого Јас го избрав;
3. зашто ке излеам вода врз она што жедува, и потоци врз исушеното; ке го излеам духот Свој врз твоето племе и благословот Свој - врз твоите потомци.
4. Ке растат како трева крај извори, како врби крај водни потоци.
5. Еден ке рече: 'Јас сум Господов', друг ке се нарече со името на Јакова; а трет ке напише со раката своја: 'Јас сум Господов', ке се нарече со името Израилево.
6. Вака вели Господ, Царот на Израилот и неговиот Избавител, Господ Саваот: 'Јас сум првиот, Јас сум и последниот; освен Мене нема Бог;
7. зашто кој е како Мене? Нека раскаже тој, да разгласи и по ред да Ми престстави се од она време, кога го усторов древниот народ, нека го разгласат она што настапува и она што ке биде...
8. Не бојте се и не плашете се: нели оддамана ти соопштив и пресккажав? И вие сте Мои сведоци. Има ли Бог освен Мене? Не, друга никаква карпа не знам.
9. Оние, што прават идоли, сите се ништожни, нивните најсакани не донесуваат никаква корист тие сами се сведоци во тоа. Тие не гледаат, ниту разбираат, и затоа ке бидат посрамени.
10. Кој направил бог и излеал идол, што не донесува никаква корист?
11. Сите учесници во тоа ке бидат посрамени, зашто и самите мајстори сепак се лу е; сите тие нека се соберат и нека застанат; тие ке се уплашат и сите ке бидат посрамени.
12. Ковачот прави сечило од железо, со чекан го мазни и се труди над него со силната рака своја до толку, што прегладнува и премалува, не пие вода и изнемоштува.
13. Дрводелецот, откако ке одбере дрво, влече по него линија, со остар алат го оцртува, потоа изработува лик на убав човек, за да го постави дома.
14. Сече кедри, зема бор и даб, кои ги одбира ме у шумските дрвја, сади јасен, кого дождот го прави да расте.
15. И тоа му служи на човекот за оган, а дел од него употребува да се топли, да запали оган и да пече леб. А од него прави и бог и му се поклонува, прави идол и па а ничкум пред него.
16. Дел од дрвото изгорува во оган, со друг дел вари месо за јадење, си пече печено и јаде до наситување, а исто така се грее и вели: 'добро е, се згреав; почувствував топлина.'
17. А од остатоците прави бог, свој идол, му се поклонува, па а ничкум пред него и му се моли и вели: 'спаси ме, зашто ти си мој бог.'
18. Не знаат, ниту разбираат: 'Он им ги затворил очите, за да не гледаат, и срцата нивни - за да не разбираат.
19. И не го зема тоа при срце, ниту има до толку знаење и разум да каже: 'половината негова ја изгорев на оган и на јагленот негов испеков леб, сварив месо и јадев; а од остатокот зар ке направам одвратност, зар ке се клањам на парче дрво?'
20. Рзбери дека срцето на идол е од пепел; измаменото срце твое те довело во заблуда, и не може да ја ослободи душата своја и да рече: 'нели е измама тоа што е во десната рака моја?'
21. Помни го тоа, Јакове и Израиле, зашто ти си Мој слуга; Јас те создадов; Мој слуга си ти, Израиле, не Ме заборавај.
22. Ке ги избришам како магла твоите беззаконија, и твоите гравови - како облак; сврти се кон Мене, зашто Јас те откупив.
23. Веселете се, небеса, зашто Господ го направи тоа. Ликувајте, длабочини земни; шумете од радост, гори и шуми и сите дрвја во нив; зашто Господ го откупи Јакова и ке се прослави во Израилот.
24. Вака вели Господ, Кој те откупува и Кој те обликува во мајчината утроба: Јас сум Господ, Кој се создадов, Сам ги спростре небесата и со силата Своја ја послав земјата.

25. Јас ги правам ништожни доказите на лажните пророци и на видело го изнесувам безумието на ме есниците, Јас Кој ги вракам мудреците и знаењето нивно го обрнувам во лудост.
26. Го потврдувам зборот на Својот слуга и го извршувам изреченото од Моите пратеници, му велам на Ерусалим: 'Ти ке бидеш населен' и на градовите Јудини: 'Вие ке бидете изградени; и урнатините негови Јас ке ги возобновам.'
27. Јас и велам на бездната: 'Исуши се!' И реките твои Јас ке ги исушам.
28. Кој вели за Кира: 'Тој е Мој пастир, и тој ке ја исполни секоја воља Моја и ке му рече на Ерусалим: 'Ти ке бидеш одново изграден!' и на храмот 'ти ке бидеш основан!'

Глава 45

1. Вака му вели Господ на Својот помазаник Кира: 'Те држам за десната рака, за да ти покорам народи, и ке ги симнам појасите од бедрата на царевите, за да ти се отворат вратите, и портите да не бидат затворени.
2. Пред тебе ке одам, планини ке рамнам, бакарни врати ке разбивам и железни резиња ке кршам;
3. тебе ке ти ги предадам чуваните во темно богатства и сокриените добра, за да познаеш, дека Јас сум Господ. Кој те нарекувам по име, - Бог Израилев.
4. Заради Јакова, Мојот слуга и Израилот, Мојот избраник, Јас го нареков по име, те почитував, иако не Ме познаваше.
5. Јас сум Господ и нема друг; нема Бог освен Мене; Јас те препашав, иако не ме познаваше,
6. за да дознаат од изгрев сонце и од запад, дека нема друг освен Мене: Јас сум Господ, и нема друг.
7. Јас ја создавам светлината и ја правам темнината, правам мир и причинувам неволји. Јас, Господ го вршам сето тоа.
8. Росете, небеса, одозгора, и облаците нека изливаат правда; нека се растфвори земјата и нека донесува спасение, заедно да произлегува и правдата. Јас, Господ, го правам тоа.
9. Тешко му на оној, кој се расправа со Создателот свој! Црепче од земни садови со други такви парчиња! Ке му каже ли глината на грнчарот: 'што правиш' и твоето дело ке каже ли за тебе: 'тој нема раце?'
10. Тешко му на оној, кој му вели на татка си: 'зошто си ме создал на светов', а на мајка си: 'зошто си ме родила?'
11. Вака вели Господ, Светецот Изралев и неговиот Творец: 'Ке ме прашате ли за иднината на синовите Мои и ке сакате ли да ми се мешате во делото на рацете Мои?
12. Јас ја создадов земјата и го создадов на неа човекот; Јас - Моите раце ги простреја небесата; и на сета нивна војска Јас им дадов закон.
13. Јас го подгинав во правда и ке ги израмнам сите патишта негови. Тој ке го изгради Мојот град и ке ги отпушти заробените Мои не за откуп, ниту за дарови, вели Господ Саваот.
14. Вака вели Господ: печалбите на Египтјаните и трговијата на Етиопијците, и Савејците, лу е силни, кои тебе ке преминат и твои ке бидат, во вериги ке дојдат, ке паднат пред тебе ничкум и ке те молат, велејки: само ти имаш Бог, и нема друг Бог.'
15. Вистина, Ти си Бог сокриен, Бог Израилев, Спасител.
16. Сите тие ке бидат посрамени и засрамени; заедно со нив ке отидат со срам и сите оние што прават идоли.
17. А Израилот ке биде спасен со вечно спасение од Господа; вие нема да бидете посрамени и осрамотени во веки веков.
18. Зашто вака вели Господ, Кој го создаде небото, Он, Бог, Кој и даде облик на земјата и Кој ја создаде; Он ја зацврсти, не ненадејно ја создаде; Он ја создаде за живеење. Он вели: Јас сум Господ, и нема друг.
19. Не говорев тајно Јас, не во темно место на земјата; не му реков на Јакововото племе: 'напразно Ме барате.' Јас сум Господ, Којшто изрекува правда, Којшто ја открива вистината.
20. Соберете се и дојдете, приближете се сите, преживеани од народите. Неразбрени се оние, што го носат својот дрвен идол и се молат на бог, кој не спасува.
21. Објавете и кажете, откако ке се посоветувате me у себе: кој го кажа тоа од стари времиња? Кој однапред го кажал тоа? Нели Јас, Господ, Нема друг Бог освен Мене, - Бог праведен и Кој спасува, нема освен Мене.
22. Кон Мене обрнете се, и ке бидете спасени, сите краишта земни, зашто Јас сум Бог и нема друг како Мене.
23. Се колнам во Себе Самиот: од уста Моја излегува правда, збор неизменлив, дека пред Мене ке се преклони секое колено, во Мене ке се колне секој јазик.

24. Само во Господа, ке велат за Мене, има правда и сила; при Него ке дојдат и ке се засрамат сите, што непријателствувале против Него.
25. Преку Господа ке биде оправдано и прославено целото племе Израилево.

Глава 46

1. Падна Вил, се собори Нево; идолите им се врз добитокот и товарните животни; вашиот товар стана бреме за уморените животни.
2. Се навалија, паднаа одеднаш; не можеа да ги зачуваат оние, што ги носеа, и сами паднаа во ропство.
3. Послушај Ме, доме Јаковов и сиот остаток од домот Израилев, кого го носам од утробата, кого го држав од ра ањето;
4. и до вашата старост Јас ке бидам Истиот, до вашите бели коси ке ве носам; Јас ве создадов и ке ве носам, ке ве поддржам и ке ве пазам.
5. Со кого ке Ме изедначите, и ке Ме споредите? Кого ке го земете за пример да прилега на Мене?
6. Истураат злато од торбичката и премеруваат сребро на терезии, па најмуваат златар, за да направи од него бог, му се клањаат и ничкум па аат пред него;
7. го креваат на рамо, го носат и го ставаат на местото негово; тој стои, од местото свое не се помрдунува; му викаат, - тој не одговара, од невоља не спасува.
8. Спомнете си го тоа и покажете се мажи; земете го тоа при срце, отстапници;
9. спомнете си за она што било порано, од крајот на векот; земете го тоа при срце, зашто Јас сум Бог и нема друг Бог и нема подобен на Мене.
10. Јас го навестувам во почетокот она што ке биде на крајот, од старо време она што уште не станало, па велам: 'Мојата одлука ке се изврши, и се што Ми е угодно - ке го направам.'
11. Јас го повикав орелот од исток, од далечна страна, исполнителот на Мојата воља. Јас реков - и ке го извршам тоа; замислив - и ке го направам.
12. Послушајте Ме, жестокосрдни, вие, кои сте далеку од правдата:
13. Ја приближив Мојата правда - таа не е далеку, спасението од Мене нема да се забави; и ке му дадам на Сион спасение, на Израилот - Својата слава.

Глава 47

1. Слези и седни во прав, о, девице, керко вавилонска; седни на земја: престол нема, керко халдејска, и во иднина нема да те нарекуваат нежна и милолика.
2. Земи рачници и мели брашно; симини го превезот, засукај ракави, разголи ги нозете, гази преку река:
3. твојата голитија ке се открие, и ке се види твојата срамотија. Ке се одмаздам и никој нема од тоа да ме одврати.
4. Нашиот Избавител - името Му е Господ Саваот - е Светецот Израилев.
5. Седи молкум и прибери се во темнината, керко халдејска, зашто во иднина нема да те нарекуваат господарка на царствата.
6. Јас се разгневив на Својот народ, и го предадов наследството Свое, што го оскревни ти, во твои раце; а ти не им покажа милост, на старците им го стави најтешкото твое иго.
7. И си велеше: 'Вечно ке бидам господарка', и на ум не го ставаше ова, не помислуваше што ке стане потоа.
8. Но сега ислушај го ова, ти, развратнице, која живееш безгрижно, која седиш и велиш во срцето: 'Јас сум, и нема друга како мене: нема да останам вдовица, ниту ке осиромашам.'
9. Но ненадејно, во еден ден, ке те снајде и едното и другото - загубата на децата и вдовството; во полна мера ке те снајдат тие, при сето множество на твоите магесништа и големата сила на твоите ма ии.
10. Зашто ти се надеваше на своето злодејание и велеше: 'Никој не ме гледа.' твојата мудрост и твоето знаење - тие те отстранија од патот, а ти си велеше во срцето свое: 'Јас сум, и нема друга како мене.'
11. Ке дојде на тебе зло: нема да знаеш, од каде доа а тоа; ке те снајде беда, кој не ке можеш да ја отфрлиш; и ненадејно ке те стигне погибел, за која и не мислиш.
12. Стој си, пак, со твоите ма ии и со многуте баења, со кои си се занимавала до млади години: можеби - ке си помогнеш, можеби - ке се одржиш.
13. Ти си умрона од многу замисли; нека излезат оние, што го набљудуваат небото, ѕвездобројачите и претскажувачите по новомесечијата, нека те спасат од она, што треба да ти се случи.
14. Ете, тие се како слама: оган ке ги изгори; не ја спасија душата своја од пламенот; не остана јаглен да се погрее некој, ниту оган, за да се поседи крај него.
15. Такви ке бидат оние, за кои си се грижела, со кои си тргувала од млади години. Секој тргнал по својот пат; никој не те спасува.

Глава 48

1. Слушај го ова, доме Јаковов, вие, кои се нарекувате со името на Израилот и кои сте произлегле од Јуда, кои се колнете во името Господово, го спомнувате Бога Израилев, иако не по вистина и не по правда.
2. Зашто тие се нарекуваат по светиот град и се потпираат на Бога Израилев; Господ Саваот е името Негово.
3. Поранешното Јас однапред го кажував, и она што од устата Моја излегуваше и Јас го навестував и брзо го вршев, - и се се извршуваше.
4. Јас знаев, дека ти си упорен и дека во твојот врат има железни жили, и челото ти е бакарно;
5. затоа и ти јавував од рано, пред да се случи тоа, и ти навестував, за да не речеш: 'Мојот идол го направи тоа, мојот идол и мојот излеан лик заповеда тоа да стане.'
6. Ти си слушал - погледај го сето тоа! И зар нема да го признаете тоа? А сега те известувам за нешто ново и сокриено, што ти не си го знаел.
7. Тоа се изврши сега, а не одамна и не пред еден ден, и ти не си слушал за него, за да кажеш: 'Ете, јас го знаев тоа.'
8. Ти не си слушал, ниту си знаел за тоа, и увото твое порано не беше отворено; зашто Јас знаев, дека ти ке постапиш вероломно; од самата мајчина утроба си наречен отстапник.
9. Заради името Свое го одлагав Својот гнев и заради славата Своја се воздржував да не те истребам.
10. Ете, те растопив, но не како сребро, те испитав во печката на страдањата.
11. Заради Себе, заради Самиот Себе го вршам тоа, - зашто, каква навреда би била за името Мое! Славата Своја нема да ја дадам на друг.
12. Чуј Ме, Јакове и Израиле, повикан од Мене: Јас сум истиот, Јас сум првиот и Јас последниот.
13. Мојата рака ја основа земјата, Мојата десница го распростре небото; ке ги повикам, - и тие ке застанат заедно.
14. Соберете се сите и слушајте: кој од нив го претскажал ова? Господ го возљуби, и тој ке ја исполни вољата Негова над Вавилон и ке ја јави мишката Своја над Халдејците.
15. Јас, Јас реков, и го повикав; Јас го доведов, патот негов ке биде успешен.
16. Пристапете кон Мене, слушајте го ова: Јас и во почетокот говорев не тајно; од она време, откако се извршува тоа, Јас бев таму; и сега Ме испрати Господ Бог и Неговиот дух.
17. Вака вели Господ, твојот Искупител, Светецот Израилев: Јас сум Господ, Бог твој, Кој те учи на добро, Кој те води по оној пат, по кој треба да одиш.
18. О, да беше ги слушал Моите заповеди! Тогаш твојот мир ке беше како река, и тојата правда - како морски бранови.
19. И твоето потомство би било како песок, а породот од утробата твоја, - како зрнцата негови: името твое не би се истребило нити избришало пред Мене.
20. Излегувајте од Вавилон, бегајте од Халдејците, со радосен глас разгласувајте и проповедајте го тоа, ширете ја таа вест до крајот на земјата; кажувајте: 'Господ го откупи Својот слуга Јакова.'
21. Не ожеднуваат тие во пустињите, преку кои ги води: Он им извади вода од камен; пресекува карпа, - и се леат води.
22. А за лошите нема мир, вели Господ.

Глава 49

1. Слушајте Ме, острови, и внимавајте, народи далечни: Господ Ме повика уште од утробата, од мајчината Ми утроба го нарече името Мое;
2. ја направи устата Моја како остар меч: под сенката на раката Своја Ме криеше и Ме направи изострена стрела; во Својата торба за стрели Ме чуваше;
3. Он Ми рече: 'Ти си Мој слуга, Израиле, - во тебе ке се прославам.'
4. Јас, пак, реков: 'Напразно сум се трудел, за ништо и попусто сум ја истрошувал силата Своја. Но правото Мое е во Господа, и наградата Моја е во Мојот Бог.
5. А сега вели Господ, Кој уште од утробата ме направи слуга Свој, да го вратам кон Него Јакова, за да се собере при Него Израилот; а кога ке се собереме, ке се прославам во Господа и Мојот Бог ке биде сила Моја.
6. И Он рече: 'Малку е, тоа што Ти ке ми бидеш слуга, за да се подигне племето Јаковово и да се поврати остатокот Израилев, туку Јас ке те направам светило за народите, за да се рашири спасението од Господа до краиштата на земјата.
7. Така вели Господ, Искупителот на Израилот, Светецот негов, на презираниот од сите, на прекоруваниот од народот, на слугата на силните: царевите ке Те видат и ке станат кнезови ке се поклонат заради Господа, Кој е верен, заради Светецот Израилев, Кој Те избрал.
8. Вака вели Господ: 'Во благопријатно време Те чув и во денот на спасението Ти помогнав; и Јас ке те пазам и ке Те направам завет на народот, за да ја востановиш земјата, да им ги вратиш на наследниците опустошените наследства.
9. Да им кажеш на затворените: излезете, и на оние, што се во темнина: покажете се. Крај патиштата ке пасат тие, по сите ридови ке бидат нивните пасишта;
10. Нема да трпат глад и жед, нема да ги удри припек и сонце; зашто Оној, Кој ги милува, ке ги води и ке ги доведе при извори водни.
11. И сите Мои гори ке ги направам друмови, Моите патишта ке бидат издигнати.
12. Ете, едни ке дојдат оддалеку; и ете - едни од север и од морето, а други - од земјата Синим.
13. Радувајте се, небеса, и весели се, земјо; воскликнувајте од радост гори, зашто Господ го утеши Својот народ и ги помилува Своите страдалници.
14. А Сион велеше: 'Ме остави Господ, мојот Бог ме заборави!'
15. Може ли жена да го заборави породот свој, а да не се смилува на чедото од утробата своја? А и кога би го заборавила, Јас тебе нема да те заборавам.
16. Ете, на Своите дланки сум те забележал; твоите ѕидишта секогаш се пред Мене.
17. Твоите синови ке побрзаат кон тебе, а твоите разурнувачи и опустошители ке си отидат од тебе.
18. Крени ги очите и погледај наоколу, - тие сите се собираат, доа аат кон тебе. Жив сум Јас! вели Господ, - со сите нив ке се облечеш како со накит и ке се промениш со нив како невеста.
19. Зашто твоите урнатини, твоите пустињи и твојата разорена земја сега ке бидат многу тесни за жителите, за оние, што те голтаа, ке си отидат од тебе.
20. Децата, што ги имаш, бидејки си ги изгубила поранешните, ке ти говорат гласно: 'Тесно е местото за мене; отстапи ми, за да можам да живеам.'
21. И ти ке речеш во срцето свое: кој ми ги роди? Јас бев бездетна и бесплодна, одведена во плен и оддалечена; но, кој ги одгледа - ете, јас си останувам сама; а тие каде беа?
22. Вака вели Господ Бог: 'Ете, ке ја кренам раката Своја кон народите, ке го издигнам знамето Свое пред племињата, - и ке ги донесат синовите твои на раце и керките твои - на раменици.
23. И царевите ке бидат твои хранители, и нивните царици ке бидат твои доилки; со лицето до земјата ке ти се клањаат и ке го лижат правот од нозете твои, и ке дознаеш, дека сум Јас Господ, дека оние, што се надеваат на Мене, нема да се посрамат.
24. Може ли да се одземе плен од силен, и можат ли да се одземат заробени од победникот?'
25. Да, така вели Господ: и секој заробен од исполин ке биде одземен и грабежот од

тиранинот ќе биде вратен; зашто Јас се борам со твоите противници и ќе ги спасам твоите синови;
26. ќе ги нахранам твоите угнетувачи со нивното сопствено месо, ќе бидат напоени со својат крв како со ново вино; и секое тело ќе дознае, дека Јас сум Господ, твој Спасител и твој Искупител, Силниот Бог Јаковов.

Глава 50

1. Вака вели Господ: 'Каде е разводното писмо за вашата мајка, со која ја отпуштив? Или на кого од моите зајмодавачи ве продадов? Ете, вие сте продадени заради гревовите свои, и заради вашите престапи мајката ваша е отпуштена.
2. Зошто кога дојдов, немаше никого? И кога повикав, никој не се одѕва? Зар раката Моја се скратила, та не може да избавува или во Мене нема сила да спасувам? Ете, со заплашувањето Свое море пресушувам, претворам реки во пустиња; рибите во нив гнијат поради недостиг на вода и умираат од жед.
3. Јас ги обекува небесата во мрак и кострет им правам за покривка.
4. Господ Бог ми даде вешт јазик, за да можам со зборови да го покрепувам изнемоштениот: секое утро Он го разбудува името Мое, за да слушам како оние што се учат.
5. Господ Бог ми го отвори увото, и јас не се спротивставив, не остапив назад.
6. Грбот Свој го подметнав на оние што Ме биеја, и образите свои - на оние што Ме удираа; лицето Свое не го скрив од подбив и плукање.
7. И Господ Бог ми помага: затоа не се срамувам, зато го држам лицето Свое како кремен, и знам дека нема да останам посрамен.
8. Близу е Оној, Кој Ме оправдува: кој сака да се натпреварува со Мене? Да застанеме заедно. Кој сака да се суди со Мене? Нека пристапи кон Мене.
9. Ете, Господ Бог Ми помага: Кој ке ме осуди? Ете, сите тие како облека ке изветвеат; молец ке ги изгризе.
10. Кој од вас се плаши од Господа, го слуша гласот на Неговиот Син? Кој оди во мрак, без светлина, да се надева на името Господово и да се потпира врз својот Бог.
11. Ете, сите вие што палите оган, кои сте вооружени со запалени стрели - одите во пламенот на вашиот оган и на стрелите, што сте ги вжештиле! Тоа ке ви биде од Мојата рака: во маки ке умрете.'

Глава 51

1. Послушајте Ме вие, што копнеете за правда, вие кои Го барате Господа! Погледајте ја карпата, од која сте исечени, и по длабочината на трапот, од кој сте извлечени.
2. Погледајте го Авраама, вашиот татко, и на Сара, која ве родила; зашто Јас го повикав него единствениот, го благословив и го умножив.
3. Така, Господ ке го утеши Сион, ке ги утеши сите негови урнатини и ке ги направи пуситњите негови како рај и степите негови - како градина Господова; радост и веселба ке има во него, славословие и пеење на песни.
4. Послушајте Ме, народе Мој и племе Мое, приконете го увото кон Мене! Зашто од Мене ке излезе закон и Мојот суд ке го поставам за светлина на народите.
5. Мојата правда брзо ке стигне; Моето спасение изгрева и Мојата мишка ке ги суди народите; островите ке се надеваа на Мене и ке се надеваат на мишката Моја.
6. Кренете ги очите кон небото и погледајте на земјата долу: зашто небото ке изчезне како дим, и земјата ке изветви како облека, а жителите нејзини исто така ке изумрат; а Јас ке спасувам вечно, правдата Моја нема да престане.
7. Послушајте Ме, вие, кои ја познавате правдата, народе, Кој во срцето свое го имаш Мојот закон! Не плашете се од прекорување на лу ето, ниту стравувајте од злословието нивно.
8. Зашто молец ке ги изеде како облека и црв ке ги изеде како волна; а Мојата правда ке преуспее засекогаш, и Моето спасение - од род во род.
9. Крени се, крени, облечи се во сила, мишко Господова! Дигни се, како во древните дни, во дамнешните родови! Зар не го уништи ти Рава, зар не го порази змејот?
10. Не го исуши ли морето, водите и големата бездна, не ги претвори ли морските длабочини во пат, за да поминат искупените?
11. Ќе се вратат избавените од Господа, и ке дојдат на Сион со пеење, и вечна радост ке има над главата нивна; тие ке најдат радост и веселба; скрбта и воздишките ке изчезнат.
12. Јас, Јас Самиот сум ваш Утешител. Кој си ти, та се плашиш од човек, кој умира, и од човечки син, кој е исто она што е и тревата?
13. Го заборараваш Господа, својот Творец, кој го простреl небото и ја основал земајта; и непрестајно, секој ден се плашиш од јароста на угнетувачот, како да е готов тој да истреби? Но каде е сега јароста на угнетувачот?
14. Скоро ке биде ослободен заробениот, и нема да умре во јамата, ниту ке има потреба од леб.
15. Јас сум Господ твој, Кој го бранува морето, та брановите негови викаат: Господ Саваот е името Негово.
16. И Јас ке ги вложам Моите слова во устата твоја, и со сенката на раката Своја ке те покријам, за да го устројам небото и да ја утврдам земјата и да му кажам на Сион: 'Ти си Мој народ.'
17. Разбуди се, разбуди се, стани, Ерусалиме, ти, кој од раката на Господа ја испи чашата на јароста Негова, до дното си ја испил и исушил чашата што опива.
18. Ме у сите синови, од него родени, нема кој да го води, и ме у сите синови, од него одгледани, нема кој за рака да го придржи.
19. Тебе те снајдоа две невољи, кој ке те пожали? - Опустошување и истребување, глад и меч: кој ке те утеши.
20. Синовите твои изнемоштеа, лежат по аглите на сите улици, како срна во стапица, исполнети со гнев Господов, со заплашување од твојот Бог.
21. И така, ислушај го ова ти, кој си страдалник и пијан, но не од вино.
22. Вака вели Господ твој, Господ и Бог твој, Кој одмаздува за Својот народ: 'Ете, јас земам од раката твоја чаша што опива, од чашата на Мојата јарост ти веке нема да пиеш.
23. Ќе ја дадам во раката на твоите мачители, кои ти велеа: ‘Падни ничкум, за да минам по тебе‘; и ти го правеше грбот свој како земја и како улица за минувачите.'

Глава 52

1. Дигни се, дигни, облечи се во силата своја, Сионе! Облечи се во облеката на величието свое,
Ерусалиме, свети граде! Зашто отсега нема повеке да влегува во тебе необрезан и нечист.
2. Истреси го од себе правот; стани, заробени Ерусалиме! Симни ги веригите од вратот свој,
заробена керко Сионова!
3. Зашто вака вели Господ: 'За ништо бевте продадени, и без сребро ке бидете откупени.'
4. И уште вака вели Господ Бог: 'Народот Мој одеше порано во Египет, за да поживее таму, а
Асур го притеснуваше без причина.
5. А сега што имам тука - вели Господ: 'Народот Мој е земен даром, владетелите нивни
беснеат, вели Господ, и постојано, секој ден, името Мое се навредува.
6. Затоа Мојот народ ке го познае името Мое; затоа ке разбере во оној ден, дека Јас сум истиот,
Кој вели: 'еве Ме!'
7. Колку се прекрасни врз горите нозете на благовесникот, кој навестува мир, благовестува
радост, проповеда спасение, кој му говори нс Сион: 'Твојот Бог се зацари!'
8. Ете го гласот на твоите стражи! Тие кренаа глас, и сите заедно ликуваат, зашто со очите
свои гледаат, дека Господ се врака во Сион.
9. Веселете се, пејте заедно, урнатини ерусалимски, зашто Господ го утеши народот Свој - го
откупи Ерусалим.
10. Ја засука Господ Својата света мишка пред очите на сите народи, - и сите краишта земни ке
го видат спасението од нашиот Бог.
11. Одете си, одете си, излезете оттаму; не допирајте се до нечисто; излезете од средината
негова, очистете се, вие што носите садови Господови!
12. Зашто нема да излезете набргу и нема да избегате; оти пред вас ке тргне Господ, и Бог
Израилев ке биде зад вас.
13. Ете, Мојот слуга ке успее, ке се воздигне, ке се возвиси и возвеличи.
14. Како што мнозина беа зачудени, гледајки во Него - толку ликот Негов беше обезличен
повеке, отколку на секој човек, и видот Негов - повеке, отколку на синовите човечки, - !
15. така ке зачуди многу народи, цареви ке ја затвораат пред Него устата своја, зашто ке го
видат она, за кое не им било говорено, и ке го дознаат она што не го слушнале.

Глава 53

1. Господи, Кој поверува на тоа, што го чул од нас и кому му се откри силата Господова?
2. Зашто изникна Он пред него како младо дрвце и како стебленце од сува земја; нема во Него ни изглед, ниту величие; ние Го видовме, и во Него немаше изглед, што ке не привлекува кон Него.
3. Он беше презрен и понизен ме у лу ето, маж на болки и свикнат на страдања, и ние го одвракавме од Него лицето свое; Он беше презиран, и ние за ништо не Го сметавме.
4. Но Он ги зеде врз Себе нашите болки и ги понесе нашите слабости; а ние мислевме, дека Он беше поразуван, казнуван и понизуван од Бога.
5. А Он беше изнаранет за нашите гревови и мачен заради нашите беззаконија; казната за нашиот мир падна врз Него, а преку Неговите ради ние се излекувавме.
6. Сите ние бевме заблудени како овци, се отстрани секој од патот свој, - и Господ ги возложи врз Него гревовите на сите нас.
7. Он беше измачуван, но стадаше доброволно и устата Своја не ја отвораше; како овца Он беше одведен на колење, и како што е јагнето пред стрижачите свои безгласно, така и Он не ја отвори устата Своја.
8. Он беше лишен од праведен суд. Но родот Негов Кој ке го објасни? Зашто беше одземен од земјата на живите; заради беззаконијата на Мојот народ беше осуден на смрт.
9. Му определија гроб со злодејци, но Он беше погребан кај богатиот, зашто не беше направил грев и во устата негова немаше лага.
10. Но на Господа му беше угодно да Го понизи, и Го предаде на мачење; а кога душата Негова Му принесе милоствна жртва, Он ке види долговечно потомство, и вољата Господова ке напредува преку Неговата рака.
11. Ке се зарадува поради трудот на душата Своја ке види светлина. Праведниот Слуга Мој ке ги оправда мнозина и гревовите нивни врз Себе ке ги понесе.
12. Затоа Јас ке Му дадам големо наследство, со силните плен ке дели, зашто душата Своја на смрт ја предаде, и ме у злодејците беше вброен и ги понесе врз Себе гревовите на мнозина и за престапниците стана посредник.

Глава 54

1. Развесели се, ти неплодна, што не ра аш; воскликни и извикај ти, која не си почувствувала родилни маки; зашто напуштената има многу повеке деца од онаа, која има маж, вели Господ.
2. Рашири го местото на шаторот свој; покривите твои на живелиштето твое прошири ги продолжи ги јажињата свои и зацврсти ги колците свои;
3. зашто ти ке се рашириш десно и лево, и потомството твое ке завладее народи и ке ги насели опустошените градови.
4. Не плаши се, зашто нема да бидеш посрамена; не се возбудувај, оти нема да биде исмеана: ке го заборавиш посрамувањето на младоста своја и нема повеке да си помниш за бесчесноста на вдовството твое.
5. Зашто твојот Творец е твојот сопруг; Господ Саваот е името Негово, твој искупител е Светецот Израилев: Он ке се нарече Бог на целата земја.
6. Зашто Господ те вика како жена, напуштена и жална со духот, како жена од младини, која била отфрлена, вели твојот Бог.
7. За малку време те оставив, но со голема милост ке те приберам.
8. Во пламенот на гневот го сокрив од тебе лицето Свое за кратко време, но со вечна милост ке те помилувам, вели твојот Искупител Господ.
9. Оти тоа за Мене е како потоп на Ное: како што се заколнав, дека потоп нема повеке да дојде на земјата, така се заколнав дека нема да ти се лутам, ниту да те прекорувам.
10. Планини ке се поместат, и ридови ке се разнишаат, но Мојата милост нема да отстапи од тебе и заветот на Мојот мир нема да се разниша, вели Господ, Кој те милува.
11. О, неволна, потфрлена од виорот, неутешна! Ете, Јас ке ги положам твоите камења врз рубин и ке ги направам твоите основи од сапфири;
12. и ке ги направам твоите прозорци од рубини и твоите порти - од бисер, а целата ограда твоја - од скапоцени камења.
13. И сите твои синови ке бидат научени од Господа, и голем мир ке има ме у синовите твои.
14. Ти ке се утврдиш со правда, ке бидеш далеку од насилствата, бидејки ке нема од што да се плашиш, далеку ке биде од тебе и ужасот, зашто тој нема да се приближи до тебе.
15. Ете, ке се вооружат против тебе, но тоа не е од Мене; кој и да се вооружи против тебе, ке падне.
16. Ете, Јас создадов ковач, кој го раздувува јагленот во огнот и ке произведува сечила за својата работа, - и Јас сум создател и губител, Кој истребува.
17. Ниедно оружје, направено против тебе, нема да има успех; и секој јазик, кој би се подигнал против тебе на суд, - ти ке го обвиниш. Тоа е наследство на слугите Господови, нивно оправдание од Мене, вели Господ.

Глава 55

1. Вие, што жедувате, дојдете сите при водите; дури и вие, кои немате сребро, дојдете, купувајте и јадете; дојдете, купувајте вино и млеко без сребро и без плакање.
2. Зошто да давете сребро за она, што не е леб, и заработката своја - за она, што не наситува? Послушајте Ме внимателно и јадете, што е добро, и душата ваша нека се наслади со мрс.
3. Приклонете го увото и дојдете при Мене; послушајте, и душата ваша ке биде жива, - ке ви дадам вечен завет, неизменливи милости, ветени на Давида.
4. Ете, Него го дадов сведок за народите, водач и заповедник на народите.
5. Ете, ти ке повикаш народ, што не си го познавал, и народите, кои не те познавале, ке побрзат кон тебе, заради Господа, твојот Бог, заради светецот Израилев, зашто Он те прослави.
6. Барајте го Господа, кога можете да Го најдете; викајте Го додека е близу.
7. Нечесниот нека го остави патот свој, и беззаконикот - помислите свои и нека се обрне кон Господа, нашиот Бог, - и Он ке го помилува, зашто е многу милостив.
8. Моите мисли не се ваши мисли, миту вашите патишта се Мои патишта, вели Господ.
9. Но, како што е небото повисоко од земјата, така се и Моите патишта повисоки од вашите патишта, и мислите Мои повисоко од вашите мисли.
10. Како што дождот и снегот па аат од небото и таму не се вракаат, туку ја напојуваат земјата и ја прават способна да ра а и да се зеленее, за да му дава семе на оној, што сее и леб на оној, кој јаде,
11. така и Моето слово, што излегува од устата Моја, не се врака кон Мене празно, туку го исполнува она, што му е угодно, и го прави она за што сум го испратил Јас.
12. И така, вие ке излезете во веселба и ке бидете испратени со мир; горите и ридовите ке пеат песна пред вас, и сите дрвја во полето ке ракоплескаат.
13. Место трн ке израсне кипарис; место коприва ке израсне мирта; и тоа ке биде за слава на Госпдоа, за вечен знак, неразрушив.

Глава 56

1. Вака вели Господ: пазете го правосудството и вршете правда; зашто е близу спасението од Мене и откровението на Мојата правда.
2. Блажен е човекот, кој го прави тоа и синот човечки, кој здраво се придржува за тоа, кој пази на саботата за да не ја осквернi и ја чува раката своја - за да не врши никакво зло.
3. Синот на другоплеменикот, кој се присоединил кон Господа, да не вели: 'Господ сосема ме оддели од Својот народ', и евнухот да не рече: 'Ете, јас сум суво дрво.'
4. Зашто вака вели Господ за евнусите: 'Оние што ги пазат Моите саботи и го избираат она, што Ми е Мене угодно, оние што цврсто се придржуваат за заветот Мој, -
5. ним ке им дадам во домот Свој и во ѕидините Свои место и име подобро, отколку на синовите и керките: ке им дадам вечно име, кое нема да биде истребено.'
6. И синовите на другоплемениците, што се присоединиле кон Господа, за да Му служат и да го сакаат името на Господа, да бидат слуги Негови, - сите кои ја пазат саботата да не ја осквернат и цврсто се придржуваат за заветото Мој,
7. Јас ке ги одведам на Мојата света гора и ке ги зарадувам во Мојот дом за молитва: сепалениците нивни и жртвите нивни ке бидат благопријатни врз Мојот жртвеник, зашто Мојот дом ке се нарече молитвен дом за сите народи.
8. Господ Бог, Кој ги собира распраснатите Израилци, вели: кон собраните кај Израилот ке собирам и други.
9. Дојдете да јадете вие, сите ѕверови полски, сите ѕверови шумски!
10. Стражите нивни сите се слепи и неразумни: сите тие се неми пци, кои не можат да лаат, но лежејки бладаат и кои сакаат да спијат.
11. Тоа се пци со ненеситна душа, кои не знаат ситост; и тоа се пастири неразумни: сите, од првиот до последниот, го гледаат својот пат, својата заработка:
12. 'Дојдете - велат - ке донесеме вино, ке се напиеме сикер; и утре ке биде истото она што и денес, дури и повеке отколку денес.'

Глава 57

1. Праведниот умира и никој не се загрижува; и благочестиви мажи се грабат за земјата, и никој не помислува дека праведникот од зло се оттргнува.
2. Тој оди во мир; оние што одат по правиот пат, ке почиваат на леглата свои.
3. Но приближете се вие тука, синови на ма епсница, семе на прељубодеец и блудница!
4. Со кого се подбивате? Против кого отворате уста и го покажувете јазикот? Не сте ли деца на престап, семе на лагата,
5. кои сте запалени од похотта кон идоли под секое гранчесто дрво, кои колете деца покрај потоци, ме у пукнатини на карпи?
6. Во мазните камења на потоците е твојот дел; тие, тие се твој жреб, ним им правиш ти прелив и им принесуваш жртва: можам ли Јас да бидам од тоа задоволен?
7. На висока и голема планина го поставуваш леглото свое, и таму е качуваш да принесуваш жртва.
8. Зад вратата и зад довратниците ги ставаш твоите спомени; зашто, кога ке се одвратиш од Мене, ти се разголуваш и се качуваш; го прошируваш леглото свое и се договараш со оние од нив, со кои сакаш да лежиш и го погледнуваш местото.
9. Ти си одела и кај царот со миризливо масло и си ги умножувала твоите мириси, и далеку си ги испракала своите гласници и си се понижувала до пеколот.
10. Од долгиот пат ти си се заморувала, но не рече: 'Надежта е изгубена!' Се уште си нао аш живот во раката своја, и затоа не почувствува слабост.
11. А од кого се уплаши и застраши, па стана неверна и престана да Ме помниш и да пазиш во срцето свое? Не е ли затоа што Јас молчев, што молчев долго, та ти престана да се плашиш од Мене?
12. Ke ја објавам твојата правда и твоите дела, и тие нема да бидат во твоја полза.
13. Кога ке повикаш, ке те спаси ли она што си го собрала? - Сето тоа ветрот ке го однесе, ке го развее; а кој се надева на Мене, ке ја наследи земјата и ке ја владее Мојата света гора.
14. Ke се рече: 'Срамнете, рамнете, израмнете го патот, кревајте ги пречките од патот на Мојот народ.'
15. Зашто вака вели Високиот и Возвишениот, вечно Живиот Светец и Неговото име: 'Јас живеам на небесната височина и во светилиштето, но сум со оние што имаат скрушено срце и смирен дух, за да го оживувам духот на смирените и да ги ожувувам срцата на скрушените.
16. Зашто нема вечно да се заканувам, ниту докрај да се гневам; инаку ке паден пред Мене секој дух и секој здив што сум го создал.
17. Заради беззаконието на неговата лакомост Јас се разгневив и го поразив, се сокрив и негодував; но тој откако се одврати, отиде по патот на срцето свое.
18. Ги видов патиштата негови, но ке го излекувам, ке го водам и ке го утешувам, него и оние што го жалат.
19. Јас ке го исполнам словото: мир, мир на далечен и на ближен, вели Господ, и ке го излекувам.
20. А нечесните се како разбрането море, кое не може да се смри, и чии води исфрлаат тиња и кал.
21. Мир нема за нечестивите, вели Господ Бог.

Глава 58

1. Викај со сиот глас, не се воздржувај; крени го гласот како труба, укажи му на народот Мој на беззаконието негово, и на домот Јаковов - гревовите негови.
2. Тие секој ден Ме бараат и сакаат да ги знаат Моите патишта, кои како народ, божем постапува праведно и не ги остава законите на својот Бог; сакаат да се приближат до Бога:
3. 'Зашто ние постиме, велат, а Ти не гладаш; ги измачуваме душите свои, а Ти не сакаш да знаеш' - Ете, кога постите, вие ја исполнувате својата волја и од другите барате тешки трудови.
4. Ете, вие постите за караници и расправии и за да биете со рака сиромасите; вие не постите во тоа време така, што гласот ваш да биде чуен во висините.
5. Таков ли е постот, што Јас го определив: човек да ја изнемоштува душата своја во денот кога ја наведнува главата како трска и под себе постила врекиште и пепел? Тоа ли ке го наречеш пост и ден угоден на Господа?
6. Ете го постот, што го избрав: раскини ги оковите на неправдата, одврзи ги врските на јаремот, и угнетените пушти ги на слобода и скрши го секој јарем;
7. раздели го лебот свој со гладните, и скитниците сиромаси одведи ги во домот свој; ако видиш гол, - облечи го, и од еднокрвниот не се криј.
8. Тогаш твојата светлина ке се јави како зора, и твоето здравје наскоро ке процути, твојата правда ке тргне пред тебе и славата Господова ке те придружува.
9. Тогаш ти ке повикаш - и Господ ке те чуе, ке извикаш - и Он ке рече: 'Еве Ме.' Кога ке го отстраниш од себе јаремот, кога ке престанеш да креваш прст и да говориш лошо,
10. кога ке му ја дадеш на гладниот душата своја и ке ја нахраниш душата на страдалникот, - тогаш твојата светлина ке изгрее во темнината, и мракот твој ке биде како пладне;
11. и Господ секогаш ке ти биде водач, а и во време на суша ке ја наситува душата твоја и ке ги крепи коските твои; ти ке бидеш како градина напоена со вода и како извор, чии води никогаш не пресушуваат.
12. Тогаш твоите потомци ке градат врз стари урнатини: ти ке ги востановиш основите на многу поколенија, и ке те викаат обновител на урнатини, градител на патишта за населби.
13. Ако заради саботата ја воздржиш ногата своја да ги исполнува желбите на твоето срце во светиот Мој ден, и ако ја нарекуваш саботата радост, свет ден Господов, ако ја празнуваш и ако ја почитуваш со тоа да не се занимаваш со обичните работи, да им угодуваш на своите грешни желби и да празнословуваш, -
14. тогаш ке имаш радост во Господа, а Јас ке те искачам на височини земни и ке ти дадам да вкусиш од наследството на Јакова, твојот татко: устата на Господа го изрече тоа.

Глава 59

1. Ете, раката на Господа не се скусила, та да не може да спасува, и увото Негово не отврднало, та да не може да слуша.
2. Но беззаконијата ваши ве разделија од вашиот Бог, и гревовите ваши прават да го сокрива лицето Свое од вас, за да не слуша.
3. Зашто рацете ваше се осквернети со крв, а прстите ваши - со беззаконие; устата ваша говори лага, јазикот ваш искажува неправда.
4. Никој не го крева гласот за правда, и никој не се застапува за вистина: се надеваат на суетното и говорат лага, зачнуваат зло и ра аат беззаконие;
5. матат змијски јајца и ткаат пајажина; кој ке ги изеде јајцата нивни - умира, ако, пак, ги скрши - отровна змија ке използи - од нив.
6. Пајажините нивни не ги бива за облека, нема да се покријат со изработката своја; делата нивни се дела неправедни, а насилството е во рацете нивни.
7. Нозете нивни трчаат кон зло, брзаат да пролеваат невина крв; мислите нивни - се мисли нечесни; по патеките нивни - опустошување и погибел.
8. Тие не го знаат патот на мирот и на патеките нивни нема правда; патиштата им се искривени, и никој, кој оди по нив, не знае за мир.
9. Затоа е и далеку од нас судот, правдата не стигнува до нас: чекаме видело, а тоа темнина, - светлина, а одиме во мрак.
10. Го пипкаме ѕидот како слепи, одиме со пипкање како без очи; на пладне се сопнуваме како во мрак, ме у живите сме како мртви.
11. Сите рикаме како мечки и стенкаме како гулаби, чекаме суд, а него го нема, - спасение, но тоа е далеку од нас.
12. Зашто престапите наши пред Тебе се многубројни, гревовите наши сведочат против нас; со нас се престапите наши, беззаконијата наши ги знаеме.
13. Ние изневеривме и излагавме пред Господа и отстапивме од нашиот Бог; говоревме клевета и насилство, зачнувавме и ра авме од срцата наши лажливи зборови.
14. И судот отстапи назад, а правдата застана далеку; зашто вистината се сопна на плоштадот, чесноста не можеше да влезе.
15. И исчезна вистината, а кој се оддалечува од злото, се изложува на оскрбување. И Господ го виде тоа; и на очите не Му беше мило што нема суд.
16. И виде дека немаше човек, се чудеше дека немаше застапник; тогаш Неговата мишка Му помогна и правдата Негова Го подржа.
17. И ја облече врз Себе правдата како оклоп, а на главата Своја го стави шлемот на спаснието; и се облече во риза на одмазда како во облека, се покри со ревност како со наметка.
18. Според делата, според делата ке им даде Он; на противниците Свои - со јарост, на непријателите Свои со одмазда, на островите ке им го даде заслуженото.
19. И ке се уплашат на запад од името на Господа, на исток - од славата Негова. Ако непријателот надојде како река, - духот на Господа ке го истера.
20. И ке дојде Искупителот за Сион и за синовите Јаковови, кои се одвратиле од нечесноста, вели Господ.
21. И еве го заветот Мој со нив, вели Господ: Духот Мој, Кој е врз тебе, и зборовите Мои, што ги вложив во устата твоја, нема да отстапат од устата твоја, од устата на потомствотоо твое и од устата на потомците на твоето потомство, вели Господ отсега и довека.

Глава 60

1. Дигни се, светлеј се Ерусалиме, зашто дојде твојата светлина, и славата Господова изгреа над тебе.
2. Зашто, ете, темнина ќе ја покрие земјата, и мрак - народите; а над тебе ќе засветли Господ, и славата Негова ќе се јави над тебе.
3. И народите ќе дојдат кон твоето видело, царевите - кон светлината што изгрева над тебе.
4. Крени ги очите и погледај наоколу: сите тие се собираат, идат при тебе; твоите синови ќе дојдат од далеку, и твоите ќерки на раце ќе се носат.
5. Тогаш ќе видиш и ќе се зарадуваш, и срцето твое ќе затрепери и ќе се рашири, зашто богатството на морето ќе се сврти кон тебе, имотот на народите ќе дојде при тебе.
6. Множество камили ќе те покријат, едногрби камили од Мадаим и Ефа; сите тие ќе дојдат од Сава, ќе донесат злато и темјан и ќе ја објавуваат славата Господова.
7. Сите кидарски стада ќе бидат собрани при тебе; овните навајотски ќе ти послужат: ќе излезат на жртвеникот Мој како благоугодна жртва, а Јас ќе го прославам домот на Мојата слава.
8. Кои се тие што летаа како облаци, и како гулаби - кон гулабарниците свои?
9. Така, Мене Ме чекаат островите и пред нив - тарсиските кораби, за да ги пренесат синовите твои оддалеку и со нив - сребро нивно и злато нивно, во името на Господа, твојот Бог, и на Светецот Израилев, зашто Он те прослави.
10. Тогаш синовите на другоземци ќе ги градат ѕидовите твои, и нивните цареви - ќе ти служат; зашто во гневот Свој те поразував, но во благоволението Свое ќе бидам милостив кон тебе.
11. Твоите порти секогаш ќе бидат отворени, нема да се затвораат ни дење, ни ноќе, за да се принесува при тебе имотот на народите и да се доведуваат нивните цареви.
12. Зашто народот и царствата, кои нема да сакаат да ти служат, ќе загинат, и а таквите народи сосема ќе бидат истребени.
13. Славата на Ливан ќе дојде при тебе со кипарис, бор и кедар заедно, за да го украси местото на Моето светилиште, - а Јас ќе го прославам подножјето на нозете Свои.
14. И ќе дојдат при тебе со покорност синовите на оние, што те измачуваа, ќе ти се клањаат пред нозете твои сите што те презираа; ќе те наречат град на Господа, Сион на Светецот Израилев.
15. Затоа што беше изоставен и намразен, така што никој не минуваше преку тебе, - Јас ќе те направам вечна слава, и радост од род во род.
16. Ти ќе се наситуваш од млекото на народите, и ќе смукаш од царски гради, и ќе познаеш дека Јас, Господ, сум твој Спасител и твој Искупител, Силниот Јаковов.
17. Место бакар ќе ти испракам злато, место железо - сребро, и место дрво - бакар, а место камења - железо; и ќе го поставам мирот за твој управител и правдата - за твои надзорници.
18. Нема повеќе да се слуша за насилство во земјата твоја, ниту опустошување и разурнување - во пределите твои; и ѕидовите свои ќе ги нарекуваш спасение и портите свои - слава.
19. Нема повеќе сонцето да ти биде видело на денот, ниту сјајот на месечината ќе ти свети; Господ ќе ти биде вечна светлина, и твојот Бог - твоја слава.
20. Нема да зао а веќе твоето сонце, ниту твојата месечина ќе се потемнува, зашто Господ ќе ти беде вечна светлина; ќе се свршат дните на твоето тагување.
21. И сиот народ твој ќе биде праведен, засекогаш ќе ја наследи земјата, - фиданка од она што сум го посадил, дела на рацете Мои, за Мое прославување.
22. Од мал народ ќе се намножат илјади, од најслабиот - силен народ. Јас, Господ, ќе побрзам да го завршам тоа навреме.

Глава 61

1. Духот на Господа Бога е врз Мене, зашто Господ Ме помаза за да им благовествувам на бедните, Ме испрати да лекувам сокрушени по срце, да им приповедам на заробените и на затворениците - отворање на темницата,
2. да ја проповедам благопријатната Господова година и денот за одмазда на нашиот Бог; да ги утешам сите оние што тагуваат,
3. да им соопштам на оние што тагуваат на Сион, дека ним место пепел ке се даде украсување, место плачење - елеј на радост, место опаднат дух - славна одежда; и ке ги наречат силни со правда, градина на Господа за Негова слава;
4. и ке ги изградат вековните пустињи, ке востановат стари урнатини и ке подноват разурнати градови, запустени од дамнишни родови.
5. Тогаш ке дојдат ту инци, и ке ги пасат стадата ваши; синовите на ту инците ке бидат ваши земјоделци и ваши лозари.
6. А вие ке се нарекувате свештеници на Господа, - служители на нашиот Бог ке ве нарекуваат; ке се користите со имотот на народите и ке се прославувате со нивната слава.
7. Заради тоа што бевте посрамени двојно ке ви биде дадено; поради навредувањето тие ке се радуваат на својот дел, зашто во земјата ке добијат двојно; вечна веселба ке има кај нив.
8. Оти Јас, Господ, ја сакам правдата, го мразам грабежот со насилството, и ке им дадам награда според вистината и ке направам со нив вечен завет;
9. и семето нивно ке биде познато ме у народите, и потомството нивно - ме у племињата; сите, што ке ги видат, ке познаат, дека се тие семе благословено од Господа.
10. Многу ке се радувам во Господа, душата моја ке се развесели во мојот Бог: зашто Он ме облече во спасителна облека, ми облече облека на правда, како на младоженец ми стави венец и како невеста со накит ме украси.
11. Зашто - како што земјата ги произведува растенијата свои, и како што во градината расте се што ке се посее - така Господ Бог ке направи да никне правда и слава пред сите народи.

Глава 62

1. Нема да замолчам заради Сион, ниту ке се успокојам заради Ерусалим, додека правдата негова не изгрее како светлина, и спасението негово - како запалена светилка.
2. И народите ке ја видат твојата правда, и сите цареви - твојата слава; и ке ги наречат со ново име, кои устата Господова ке го изрече.
3. И ке бидеш венец на слава во раката Господова и царска круна - врз дланката на твојот Бог.
4. Нема веке да те нарекуваат 'изоставен', ниту земјата твоја повеке ке ја именуваат 'пустиња', туку ке те нарекуваат 'Мое благоволение кон него', а земјата твоја - 'омажена', зашто Господ благоволил кон тебе, и земјата твоја цела ке биде населена.
5. Како што момче се жени со мома, така и синовите твои ке се соединат со тебе; и како што младоженецот се радува на невестата, така ке ти се радува тебе твојот Бог.
6. На ѕидовите твои Ерусалиме, поставив стража, која нема да мокне ни дење, ни ноке. О, вие што го спомнувате Господа, не замолкнувајте!
7. не замолчувајте пред Него, додека Он не го обнови Ерусалим и додека не ја издигне славата негова на земјата.
8. Господ се заколна во десницата Своја и во силната мишка Своја: нема повеке да го дава твоето жито за храна на непријателите твои; и синови на ту инци нема да го пијат виното твое, за кое си се трудел;
9. но собирачете негови ке го јадат и ке го слават Господа, и берачите на грозјето ке го пијат виното негово во дворовите на Моето светилиште.
10. Минувајте, минувајте низ портите, приготвувајте пат за народот! Рамнете, рамнете го патот, собирајте ги камењата, кренете знаме за народите!
11. Ете, Господ објавува до крајот на земјата: кажете и на керката Сионова: твојот Спасител иде; наградата Негова е со Него, а отплатата Негова - пред Него.
12. И ке ги наречат свет народ, откупен од Господа, а тебе ке те наречат 'баран', град неизоставен.

Глава 63

1. Кој е Оној, Кој иде од Едом, во црвена одежда од Восор, Кој е толку величествен во облеката Своја, Кој пристапува во полната сила Своја? - 'Јас сум, Кој изрекувам правда и сум силен да спасувам.'
2. Зошто Твојата облека е црвена, и твоите одежди - како на оној, што газел во каца?
3. 'Јас газев во каца сам, и никој од народите не беше со Мене; Јас ги газев во гневот Свој и ги газев во јароста Своја; крвта нивна ми ја прскаше облеката Моја; ја извалкав целата облека Моја;
4. заштo денот за одмазда е во срцето Мое, и годината на искупените од Мене настапи.
5. Јас гледав - и немаше помошник; се чудев, зошто немаше кој да ме поткрепи; но Мојата мишка Ми помогна, и Мојот гнев - тој Ме поткрепи:
6. и во гневот Свој ги згазив народите, ги уништив во јароста Своја и ја излеав на земјата крвта нивна.'
7. Ќе се секавам на милоста и славата Господова, за се што Господ ни дарува, за големата Негова благост кон домот Израилев што Он ја укажа по милосрдноста Своја и по многуте добрини Свои.
8. Он рече: 'Навистина, тие се Мој народ, деца што нема да излажат,' - и Он ке биде нивни Спасител.
9. Во секоја нивна жалост Он не ги оставаше и Ангелот на Неговото лице ги спасуваше; со Својата љубов и добросрдечност Он ги искупи, ги зеде и ги носеше през сите древни дни.
10. Но, тие се возбунтуваа и Го огорчија Неговиот Свет Дух; затоа Он им стана непријател, така што Сам војуваше против нив.
11. Тогаш народот Негов си спомна за древните дни, деновите на Мојсеја: каде е Оној што ги изведе од морето со пастирот на Своите овци? Каде е Оној што Го вложи во неговото срце Својот Свет Дух?
12. Кој го водеше Мојсеја за десната рака со Својата величествена мишка и ги раздели пред нив водите, за да си создаде вечно име?
13. Кој ги водеше преку бездни, како коњ по степи и тие не се сопинаа?
14. Како што стадо слегува во долина, - така Духот на Господа ги води кон покој. Така и Ти го водеше Својот народ, за да си создадеш славно име.
15. Ѕирни од небесата и погледни од Твоето живеалиште на светињата Твоја и на славата Твоја: каде се ревноста и силата Твоја? Големата Твоја милосрдност и милоста Твоја кон мене запрени се.
16. Само Ти си Отец наш; зашто Авраам не не познава, ниту Израил не признава за свои; Ти, Господи, си наш Отец, отсекогаш Твоето име е: 'Искупител наш.'
17. Зошто Господи, си допуштил да се отстраниме од Твоите патишта, да се ожесточи срцето наше, за да не се плашиме од Тебе? Сврти се заради Твоите слуги, заради племињата на Твоето наследство.
18. Кратко време владееше над него народот на Твојата светиња: непријателите наши го изгазија твоето светилиште.
19. Ние станавме такви, како над кои никогаш да не си владеел, и над кои името Твое да не се спомнувало.

Глава 64

1. О, да беше ги раскинал Ти небесата и да беше слегол! Горите би се стопиле од лицето Твое,
2. како оган што растопува восок, како од оган што вода зовира, така ке го познаат името Твое
напријателите и од Твоето лице ке затреперат народите.
3. Кога вршеше страшни дела, од нас неочекувани, и слегуваше, - гори се топеа од Твоето
лице.
4. Зашто од секогаш не бевме слушале, не бевме внимавале со увото, и никое око не беше
видело друг бог, освен Тебе, којшто направил толку многу за оние, кои не Него се надеваат.
5. Ти милостиво го пресретнуваше секого, кој се радуваше и кој вршеше правда, кој Те
спомнуваше на Твоите патишта. Но, ете, Ти се разгневи, зашто ние одамна грешевме; па како
тогаш ке бидеме спасени?
6. Сите ние станавме како нечист човек, и секоја наша правда - како извалкана облека; сите
попа авме како лист; а беззаконијата наши како ветар не однесуваат.
7. Нема никој кој би го повикувал Твоето име, кој би установил да се држат здраво за Тебе:
затоа Ти го сокри лицето Свое од нас и не остави да гинеме од беззаконијата свои.
8. Но сега, Господи, Ти си наш Отец; ние сме глина, а Ти - наш грнчар, сите сме дело на Твоите
раце.
9. Немој да се гневиш безмерно, Господи, и немој вечно да го помниш беззаконието. Но,
погледај: сите сме Твој народ.
10. Градовите на Твојата светиња станаа пустелија; пустиња стана Сион; Ерусалим е
опустошен.
11. Домот на нашата светиња и на нашата слава, каде што татковците наши Те прославуваа,
од оган изгоре, а сите наши добра така пропаднаа.
12. По сево ова, ке се воздржуваш ли уште, Господи, ке молчиш ли и ке не назнуваш ли без
мерка?

Глава 65

1. Јас им се открив на оние, кои не прашуваа за Мене, кои не Ме бараа: 'еве Ме, еве Ме!' - му велев на народ, кој не го повикуваше името Мое.
2. Секогаш ги протегав рацете Свои кон непокорниот народ, кој одеше по лош пат, - по своите помисли, -
3. кон народ, кој постојано Ме наскрбува в лице, принесува жртви во шумичките и пали темјан на црепчиња,
4. седи во гробови и нокева во пештери; јаде свински месо, а во садовите негови има гнасно вариво;
5. кои велат: 'Застани, не се доближувај до мене, зашто сум свет за Тебе.' Тие се дум на ноздрите Мои. - оган што гори секој ден.
6. Ете, што е напишано пред лицето Мое: нема да премолчам, туку ќе отплатам, ќе отплатам во пазувата нивна,
7. за нивните беззаконија, вели Господ, и заедно со беззаконијата на татковците нивни, кои кадеа темјан по планините, и по ридовите Ме навредуваа, - ќе им одмерам во пазувите нивни и за нивните поранешни дела.
8. Вака вели Господ: 'Кога ве гроздот има сок, не го повредувај, зашто во него има благослов; исто ќе направам и за Моите слуги, та сите да не ги погубам.
9. И ќе произведам од Јакова потомство, а од Јуда - наследник на Моите гори; и тоа ќе го населдат Моите избрани, таму ќе живеат слугите Мои.
10. И Сарон ќе биде пасиште за овци, а долината Ахор - пладниште за говедата на Мојот народ, кој Ме побара.
11. А вас, кои го оставивте Господа, ја заборавивте Мојата света гора, готвите трпеза за Гад и отворате полна чаша за Мени, -
12. вас ве опредеилв за меч, сите ќе се наведнете за колење, зашто викав - и не одговаравте, говорев - не слушавте, но вршевте зло пред очите Мои и го избиравте она, што не беше по вољата Моја.'
13. Затоа вака вели Господ Бог: 'Ете, слугите Мои ќе јадат, а вие ќе гладувате; слугите Мои ќе пијат, а вие ќе се измачувате од жед;
14. слугите Мои ќе се веселат, а вие ќе бидете во срам; слугите Мои ќе пеат од срдечна радост, а вие ќе пиштите од срдечна жалост и ќе плачете од отпаднстоста на вашиот дух.
15. И ќе им го оставите името свое на Моите избрани за проклетство; а тебе ќе те убие Господ Бог, и слугите Свои ќе ги нарече со друго име,
16. оној, што се благословува на земјата, нека се благословува со вистинскиот Бог; и кој се колне на земјата, нека се колне со вистинскиот Бог, - зашто поранешните жалости ќе бидат заборавени и сокириени од Моите очи.
17. Оти, ете, Јас создавам ново небо и нова земја, а поранешните нема повеќе да се спомнуваат, ниту на ум ќе доа аат.
18. А вие ќе се веселите и ќе се радувате довека за она што јас го создавам: зашто, ете, Јас ќе го создавам Ерусалим за веселба, а народот негов - за радост.
19. Ќе се радувам за Ерусалим и ќе се веселам за Мојот народ; и нема повеќе да се чуе глас во него од плачење и глас од пискот.
20. Таму веќе нема да има малолетен ни старец, што нема да ги исполни деновите свои; стогодишникот умира како момче, но умира ли стогодишен грешник, ќе биде проколнуван.
21. Ќе градат куќи и ќе живеат во нив, ќе садат лозја и ќе ги јадат плодовите нивни.
22. Нема да градат, за да живее друг, нема да садат, за да јаде друг; зашто дните на народот Мој ќе бидат како дните на дрво, и моите избрани долго ќе се користат со делото на рацете свои.
23. Нема да се трудат напразно и да ра аат деца за скрб; зашто ќе бидат семе, благословено од Господа, и потомците нивни со нив.

24. И пред тие да повикаат, Јас ке одговорам; тие уште ке говорат, а Јас веке ке ги чујам.
25. Волк и јагне ке пасат заедно, а лавот ке јаде слама како вол, а на змијата правот ке и биде
храна: тие нема да причинуваат зло и штета по целата Моја света гора, вели Господ.

Глава 66

1. Вака вели Господ: небото е Мој престол, а земјата - подножје на нозете Мои; каде тогаш ќе изградите дом за Мене, каде е местото на Мојот спокој?
2. Зашто, сето тоа го создаде Мојата рака, и сето тоа е Мое, вели Господ. А еве на кого ќе погледнам: на смирениот и паднатиот со дух и на оној што трепери пред Моето слово.
3. А кој коле вол, е исто, како оној што убива човек; кој принесува јагне за жртва, е исто, како оној што задушува куче; кој принесува дар, е исто, како оној што принесува свинска крв; кој кади темјан, е исто, како оној што се моли на идол. Тие го избрале тоа на своите патишта, и душата нивна нао а задоволство во одвратностите нивни, -
4. така и Јас ќе ја употребам нивната измама и ќе го испратам врз нив она, што е за нив ужасно; зашто викав - и нема кој да одговори, говорев - и тие не слушаа, а вршеа зло пред очите Мои и го избираа она што Ми беше неугодно.
5. Чујте го словото на Господа вие, што треперите пред словото Негово: вашите браќа, кои ве мразат и кои ве гонат заради Моето име, велат: 'Нека се јави Господ во Својата слава, па да ја видиме радоста ваша.' Но тие ќе бидат посрамени.
6. Ете, шум од градот, глас од храмот, глас од Господа, Кој дава отплата на непријателите Свои:
7. Уште не беше почувствувала родилни маки, и роди; пред да настапат болките нејзини, роди син.
8. Кој слушна такви нешто? Кој видел слично на тоа? Никне ли од земјата во еден ден? Се ра а ли народ наеднаш, како Сион: штотуку почна да се мачи од родилни болки, - ги роди синовите свои?
9. Зар Јас кога ќе ја отворам утробата на мајката - таа нема да роди? вели Господ. Или Јас Кој давам да се роди, ќе ја заклучам ли утробата - вели твојот Бог.
10. Развеселете се со Ерусалими радувајте се за него сите, што го сакате! Радувајте се со него радосно сите што тагувате по него,
11. за да се храните и наситувате од градите на утехите негови, да се опивате и насладувате од изобилната слава негова.'
12. Зашто вака вели Господ: 'Ете, ќе навртам кон него мир како река, и богатсво на народите - како поток, кој се разлива, за ваша наслада; на раце ќе ве носат и на колена ќе ве милуваат.
13. Како што некого го утешува мајка така ќе ве утешам и Јас; ќе бидете утешени во Ерусалим.
14. И ќе го видите тоа, и ќе се зарадува срцето ваше, и коските ваши ќе цутат како свежо растение, и раката на Господа ќе се јави врз слугите Негови, а на непријателите свои Он ќе се разгневи.
15. Зашто, ете, ќе дојде Господа во оган, и колите Негови - како виор, за да го излее гневот свој со јароста и заплашувањето Свое - со пламнат оган.
16. Зашто Господ ќе суди со оган и со мечот Свој над секоја плот, и многумина ќе бидат убиени од Господа.
17. Оние, што се осветуваат и очистуваат во шумичките еден по друг, кои јадат свинско месо и гадотии и глувци, - сите ќе загината вели Господ.
18. Зашто Јас ги знам делата нивни и мислите нивни; ете, ќе дојдам да ги соберам сите народи и јазици, и тие ќе дојдат и ќе ја видат славата Моја.
19. И ќе ставам на нив белег, и од преживеаните ме у нив ќе испратам кон народите: во Тарсис, во Фуд и Луд, во Мосох, во Товел и во Елада, и во далечните острови, кои не чуле за името Мое и не ја виделе славата Моја; и тие ќе му ја објават на народот славата Моја,
20. и ќе ги претставаат сите ваши браќа од сите народи како дар на Господа на коњи и коли, на носилки, на мазги и на брзи камили, - на Мојата света гора, во Ерусалим, вели Господ, - исто како што синовите Израилеви принесуваат дар во домот Господов во чист сад.
21. И од нив ќе земам свештеници и левити, вели Господ.
22. Зашто, како што новото небо и новата земја, кои Јас ќе ги создадам, ќе бидат секогаш пред

лицето Мое, вели Господ, така ке постои и потомството ваше и името ваше.
23. Тогаш од месец на месец, и од сабота во сабота ке доа а секоја плот пред лицето Мое на поклонение, вели Господ.
24. И ке излегуваат и ке ги видат труповите на лу ето што отстапиле од Мене; зашто црвот нивни нема да умре, ниту огнот нивни ке угасне и ке бидат одвратност за секоја плот.

# Еремија

Глава 1

1. Зборовите на Јеремија, - синот на Хелкија, еден од свештениците кој живееше во Анатот, во земјата Венијаминова, -
2. коми му беше упатено слово Господово во времето на Јосија, син на јудејскиот цар Амон, во тринаесеттата година од царувањето негово,
3. а и во деновите на Јоакима, синот на јудејскиот цар Јосија, до крајот на единаесеттата година од царувањето на Седекија, син на јудејскиот цар Јосија, додека не беше преселен во Ерусалим во петтиот месец.
4. И би до мене слово Господово:
5. 'Пред да те обликувам во утробата, Јас те познав, и пред да излезеш од утробата, те посветив: те поставив за пророк на народите.'
6. Јас, пак, одговорив: 'О, Господи Боже, не умеам да говорам, зашто сум уште млад.'
7. Но Господ ми рече: 'Не вели: - млад сум; - зашто до сите, до кои ке те испратам, ке одиш, и се, што ке ти заповедам, ке кажеш.
8. Не плаши се од нив; зашто Јас сум со тебе, за да те избавам', рече Господ.
9. И ја протегна Господ раката и се допре до устата моја; и ми рече Господ: 'Ете, Јас ги ставив Моите зборови во устата твоја.
10. Гледај, Јас те поставив денес над народи и царства, за да искоренуваш и разурнуваш, да погубуваш и да разрушуваш, да ѕидаш и да насадуваш.'
11. И пак би слово Господово до мене: 'Што гледаш, Јеремиј?' Одговорив: 'Гледам гранка од бадемово дрво.'
12. Господ ми рече: 'Добро гледаш, зашто Јас бдеам над Моето слово, за да се изврши тоа скоро.'
13. И по вторпат би слово Господово кон мене: 'Што гледаш?' Одговорив: 'Гледам котел што врие, а отворот му е спрема север.'
14. И ми рече Господ: 'Од север ке навлезе злото врз сите лу е што живеат на земјата.
15. Зашто, ете, Јас ке ги свикам сите племиња на северните царства - вели Господ - и тие ке дојдат, и секој ке го постави престолот свој при влезот на ерусалимските порти, околу сите ѕидишта негови и во сите јудејски градови.
16. И ке го изречам судот Свој врз нив за сите нивни беззаконија, зашто што Ме оставија и кадеа темјан на други богови и им се поклонуваа на идоли, дела од нивните раце.
17. А ти препаши ги бедрата свои и стани, та кажи им се, што ке ти заповедам; не биде малодушен пред нив, за да не те поразам пред очите нивни.
18. И ете, Јас те поставив денес како утврден град, како железен столб и како бакарен ѕид против сите цареви јудини и кнезовите на целата таа земја, против свештениците негови и против народот на таа земја.
19. Тие ке војуваат против тебе, но нема да те победат; зашто Јас сум со тебе, за да те избавувам' - вели Господ.

Глава 2

1. И пак би словото Господово до мене:
2. 'Оди и извикај во ушите на Ерусалим - вака вели Господ: ‘се секавам на милоста во младоста твоја, на твојата љубов, кога како невеста, тргна по Мене во пустињата, во незасеана земја.‘
3. Израилот му беше на Господа светиња, првина од плодовите Негови: сите, што јадеа од нив, биваа осудувани, ги стигнуваше зло,' вели Господ.
4. Чујте го словото Господово, доме Јаковов и сите родови на домот Израилев!
5. Вака вели Господ: 'каква неправда најдоа во Мене татковците ваши, та се оддалечија од Мене, ја прифатија суетата и станаа суетни;
6. и не рекоа: ‘каде е Господ, Кој не изведе од Египетската земја, не водеше по пустињата, по земја пуста и ненаселена, по земја сува, по земја на смртна сенка, по која никој не одел и во која никој не живеел?‘
7. А кога ве воведов во земја плодородна, за да се храните од плодовите нејзини и од добрата нејзини; а вие влеговте и ја осквернивте земјата Моја, и сопственоста Моја ја направивте гадотија.
8. Свештениците не рекоа: ‘каде е Господ?‘ И учителите на законот не Ме познаа, и пастирите се одметнаа од Мене, и пророците пророкуваа во името на Ваала и одеа по оние, кои не помагаат.
9. Затоа Јас уште ке се судам со вас, вели Господ, и со синовите на вашите синови ке се судам.
10. Затоа отидете на Хистимските острови и разгледајте, и испратете во Кидар и испитајте сесрдно и видете: станувало ли таму нешто слично на тоа?
11. Ги променил ли некој народ боговите свои, иако тие не се богови? А Мојот народ ја менуваше славата своја за она што не помага.
12. Чудете се на тоа, небеса, треперете и грозете се, вели Господ.
13. Зашто две зла изврши Мојот народ: Мене, изворот на жива вода, Ме оставија и си ископаа извори идупчени, кои не можат да држат вода.
14. Зар Израилот е слуга? Или е слуга доморoдец? Зошто така стана плен?
15. Зарикаа против него млади лавови, нададоа викотници и ја направија земјата негова пустелија; градовите негови му се изгорени, никој не живее во нив.
16. И синовите на Мемфис и Тафна те познаа и ти го избрикоа темето.
17. не ли си го направи тоа сам, оставајки Ме Мене, твојот Господ Бог во она време, кога Он те водеше по патот?
18. И сега, што бараш во Египет да пиеш вода од Нил? И зошто да одиш во Асирија за да пиеш вода од реките нејзини?
19. Ќе те казни тебе остапувањето твое, и злобата твоја ке те обезличи: и така познај и размисли, колку лошо и горчливо е тоа, што Ме остави, вели твојот Господ Бог, и не бев спомнуван од тебе, вели Господ, Бог Саваот.
20. Зашто одамна си го скршил јаремот свој, ги раскина твоите вериги, па велеше: - Нема Тебе да Ти служам; но ке појдам на секој висок рид и под секое лиснато дрво ке им служам на идоли.
21. Јас те посадив како благородна лоза - најчисто семе; а како се претвори ти во Мене во див ластар од ту а лоза?
22. Затоа, макар и да се измиеше со сапун и да употребуваш многу пепелница, - твоите беззаконија ке се покажат пред Мене, вели Господ Бог.
23. Како можеш да кажеш: ‘Јас не се осквернив, и не одев по Ваала?‘ Загледај се во патиштата твои во долината, и увиди што правеше ти, бујна камило, која потскокнува (поттрчнува) наваму натаму?
24. Кој може да додржи навикната на пустиња дива ослица, која со страст во душата своја вдишува воздух? Сите, што ја бараат, нема да се уморат: во месецот нејзин ке ја најдат.
25. Не им дозволувај на нозете свои да се боси, и грлото твое - да се мачи од жед. Но ти рече:

‘Ништо од тоа, зашто ги сакам ту ите и по нив ке одам.‘
26. Како што крадец, кога ке го фатат, се посрамува, - така ке се посрами Израилевиот дом: царевите нивни, кнезовите нивни, свештениците нивни и пророците нивни, -
27. велејки му на дрвото: ‘ти си мој татко‘, и на каменот: ‘ти ме роди‘; зашто тие свртеа кон Мене грб, а не лице; а за време на своето озлобување ке речат: ‘стани и спаси не!‘
28. Каде се, пак, твоите богови, што ти си ги направил? Нека станат тие, ако можат - да те спасат за време на твојата невоља; зашто, колку градови имаш, о, Јудо, толку и богови имаш!
29. Зошто да се оправдуваш со Мене? Сите вие постапувате нечесно и грешите против Мене,' вели Господ.
30. Напразно го поразував децата ваши: тие не се вразумија; вашиот меч како истребувачки лав ги јадеше пророците ваши и вие не се уплашивте.
31. О роде, чујте го словото Господово: 'Бев ли Јас пустиња за Израилот, бев ли земја неплодна? А зошто Мојот народ вели: ‘ние сами сме си господари, нема повеке да дојдеме при Тебе?‘
32. Го заборава ли девицата украсот свој, и невестата - накитот свој? а Мојот народ Ме заборави - име веке безброј дни.
33. Како лукаво ги насочуваш ти патиштата свои, за да придобиеш љубов, и поради тоа дури и кон престапи ги нагодуваше патиштата твои.
34. Дури по твоите поли има крв од бедните, невини лу е; нив не ги затеков во ров, туку при секоја дубрава.
35. Велиш: ‘бидејки сум невина, навистина гневот Негов ке се одврати од мене.‘ - Ете, Јас ке се судам со тебе, затоа што велиш: ‘не згрешив.‘
36. Зошто толку многу скиташ, менувајки го патот свој? Ти исто така ке бидеш посрамена и од Египет, како што беше посрамена од Асирија;
37. и од него ке излезеш со рацете на глава, зашто Господ ги отфрла твоите надежи, и нема да имаш со нив успех.'

Глава 3

1. Велат: ако мажот ја напушти жената своја, и таа го остави и стане жена на друг маж, може ли таа да се врати при него? Нема ли со тоа да се оскверни таа земја? А ти со множина милосници блудствуваше, - и при сето тоа врати се при Мене, вели Господ
2. - Крени ги очите кон идолските светилишта и гледај каде ли не блудствувале со тебе? По патиштата седеше ти заради нив како арапин во пустиња, и ја оквернуваше земјата со твојот блуд и со твоето лукавство.
3. Заради тоа беа запрени дождовите и немаше доцен дожд; но ти имаше чело на блудница, - не сакаше да се засрамиш.
4. Нема ли да викаш отсега кон Мене: ‘Оче, Ти беше наставник на младоста моја!‘
5. Зар тој секогаш ке биде во гнев, и зар вечно ке го задржува во Себеси? Ете, што зборуваш ти, а вршиш зло и во тоа не успеваш.
6. Господ ми рече во дните на царот Јосија: виде ли ти, што врши отстапницата, керката Израилева? Таа оди на секоја висока гора и под секое лиснато дрво, и таму блудствува.
7. И откако таа го вршеше сето тоа, Јас велев: ‘врати се при Мене, но таа не се врати; и го виде тоа нејзината вероломна сестра Јудеја.‘
8. И видов, дека, кога заради сите прељубни дејствија на отстапницата, керката Израилева, Јас ја напуштив и и дадов разводно писмо; вероломната и сестра, Јудеја, не се исплаши, туку отиде и сама блудствуваше.
9. И со јавното блудно дејствување таа ја оскверни земјата, и прељуба вршеше и со камен и со дрво.
10. Но при сето тоа нејзината вероломна сестра Јудеја не се обрна кон Мене од се срце, туку само привидно - рече Господ.
11. И ми рече Господ: ‘отстапницата, керката Израилева, излезе поправа, отколку вероломната Јудеја.‘
12. Оди и разгласи ги тие зборови спрема север и кажи: - врати се, отстапнице, керко Израилева - вели Господ. Јас нема да го излијам врз вас Мојот гнев; зашто Јас сум милостив, - вели Господ - нема вечно да негодувам.
13. Признај ја само вината своја: зашто отстапи ти од Твојот Господ Бог и се распушти со ту и под секое лиснато дрво, а Мојот глас не го слушаше, вели Господ.
14. Вратете се деца - отстапници, вели Господ, зашто Јас се соединив со вас, и ке земам од вас по еден од град и по двајца од племе и ке ве поведам на Сион.
15. И ке ви дадам по срцето Свое пастири, кои ке ве пасат со знаење и благоразумност.
16. И кога ке се размножите и ке станете многуплодни на земјата, тогаш, вели Господ, нема повеке да велите: ‘ковчегот на заветот Господов; тој ни на ум нема да им дојде, и нема да се сетат за него, ниту ке доа аат при него, ниту пак ке го има повеке.‘
17. Во тоа време Ерусалим ке го наречат престол на Господа, и сите народи заради името Господово ке се соберат во Ерусалим и нема повеке да постапуваат според упорноста на лошото си срце.
18. Во тие дни Јудиниот дом ке дојде при Израилевиот дом, и ке дојдат заедно од северната земја во земјата, која Јас им ја дадов во наследство на татковците ваши.
19. И реков Јас: ‘како да те поставам ме у синовите и да ти ја дадам многу саканата земја, најпрекрасното наследство на многуте народи?‘ И реков: ‘ти ке Ме нарекуваш твој Отец и нема да остапиш од Мене.‘
20. Но, навистина, како што жена вероломна го изневерува сопругот свој, така вероломно постапивте со Мене вие, доме Израилев, вели Господ.
21. Нека се чуе глас по идолските светилишта, жален плач на Израилевите синови, затоа што тие го свртија својот пат, го заборавија Господа, својот Бог.
22. Вратете се, синови одметници: Јас ке го излекувам вашето непокорство. - Еве, ние идеме при Тебе, зашто Ти си Господ, Бог наш.

23. Навистина, напразно се надевавме на ридовите и на многуте гори; навистина, во нашиот Господ Бог, е Израилевото спасение!
24. Уште од млади години таа гадотија ги уништуваше трудовите на нашите татковци, овците и воловите нивни, синовите и керките нивни.
25. Ние лежиме во својот срам, а нашиот срам не покрива, зашто грешевме пред нашиот Господ Бог, - ние и татаковците наши, уште од младите години наши дури до овој ден. - И не го слушнавме гласот на Господа, нашиот Бог.

Глава 4

1. Ако сакаш да се обрнеш, Израиле, вели Господ: 'обрни се кон Мене; и ако ги отклониш
гадотиите од пред Моето лице, ти нема да скиташ,
2. и ке се колнеш: вистински верно и праведно: жив е Господ. И народите од Него ке се
благословуваат и со Него ке се фалат.
3. Зашто вака им вели Господ на мажите од Јудеја и од Ерусалим: изорајте си нови ниви и не
сејте ме у трње.
4. Обрежете се заради Господа и симнете го крајчето од срцето свое, мажи Јудини и
ерусалимски жители, за да не се јави Мојот гнев како оган и да не пламне неизгасливо поради
вашите лоши наклоности.
5. Објавете во Јудеја, и разгласете во Ерусалим, говорете и трубете со труба по земјата;
викајте силно и велете: ‘соберете се, и да влеземе во утврдените градови.‘
6. Кренете го знамето кон Сион - бегајте, не се запирајте, зашто Јас ке донесам од север зло и
голема погибел.
7. Излегува лав од својот честар, тргнува истребителот на народите: тој излегува од местото
свое, за да ја направи земјата твоја пустиња, градовите твои ке бидат сосипани, ке останат без
жители.
8. Затоа опашете се со врекиште, плачете и ридајте, зашто јароста на Господовиот гнев нема
да се одврати од нас.
9. И во тој ден, вели Господ, ке замре срцето на царот и срцето на кнезовите, ке се ужаснат
свештениците и ке се вчудоневидат пророците.'
10. И реков: о, Господи Боже, зар Ти само го лажеше овој народ и Ерусалим кога велеше: 'мир
ке има кај вас'; а, ме утоа, меч допре до душата?
11. Во тоа време ке му биде речено на тој народ и на Еурсалим: топол ветар дува од
пустињските височини врз патот на керката на Мојот народ, не за да вее, ниту да очистува.
12. И оттаму ке дојде кон Мене ветар посилен од овој, и Јас ке искажам суд над нив.
13. Ете, се крева тој како облак, и колите му се како виор, коњите му се побрзи од орли; тешко
нив! зашто ке бидат сосипани.
14. Измиј го злото од срцето свое, Ерусалиме, за да се спасиш: до кога ке стојат во тебе
злосторнички мисли?
15. Зашто веке се разнесува глас од Дан, и погибелна вест - од Ерфемовата гора:
16. јавете им на народите, известете го Ерусалим, дека идат од далечна земја опсадувачи и со
викања ги исполнуваат градовите на Јудеја.
17. Како чувари на нивните го оградуваат од сите страни, зашто тој се крена против Мене,
вели Господ.
18. Тоа ти го направија твоите патишта и делата твои; од твојата нечесност ти е толку
горчливо, што допира до срцето твое.
19. Утробо моја! Утробо моја! нажален сум до дното на срцето свое, се бранува во мене срцето
мое, не можам да молчам; зашто ти слушаш, душо моја, звук од труба, боен повик.
20. Зло по зло, целата земја се опустошува, ненадејно беа соборени шаторите мои, за миг -
сениците мои.
21. Долго време ли ке гледаме знаме, ке слушаме трубен звук?
22. Тоа произлегува оттаму, што водачите на Мојот глупав народ не Ме познаваат: тие се
безумни синови, и нема во нив расудување: тие се мудри за зло, но не умеат да вршат добро.
23. Ја гледам земајта - и ете, таа е разорена и пуста, - небесата, и нема на нив светлина.
24. Ги гледам горите - и ете, тие треперат, и сите ридови се нишаат.
25. Гледам - и ете, нема човек и сите небески птици одлетале.
26. Гледам - и ете, Кармил е пустиња, и сите негови градови се сосипани од лицето Господово,
од јароста на гневот Негов.
27. Зашто вака рече Господ: - целата земја ке биде опустошена, но целосно истребување нема

да извршам.
28. Ќе заплаче земјата поради тоа, и небесата ќе се затемнат, зашто Јас реков, Јас решив, и нема да се покајам за тоа, ниту ќе отстапам од него.
29. Од викот на коњаници и на стрелци ќе се разбегаат сите градови: тие ќе отидат во густи шуми и ќе се искачат на карпи; сите градови ќе бидат напуштени, и во нив нема никој да живее.
30. А ти, опустошена, што ќе правиш? Макар и да се облекуваш во пурпур, и да се украсуваш со златни накити, да си ги украсуваш со боја очите свои - залудо ќе се украсуваш: те презираат наложниците - ти ја бараат душата твоја.
31. Зашто Јас слушам глас како на жена, кога ра а, стенкање како на онаа, која ра а за првпат, глас на ќерката Сионска; таа стенка, протегајќи ги рацете: ‘о, тешко мене, душата моја исчезнува пред убијците.‘

Глава 5

1. Поминете по ерусалимските улици, погледајте, испитајте и побарајте по плоштадите негови, нема ли да најдете човек, нема ли таков, кој пази правда, кој ја бара вистината? - па ке му простам на Ерусалим.
2. Макар и да велат: ‘жив Господ!‘ но тие лажно се колнат.
3. О, Господи, Твоите очи не ли се свртени кон вистината? Ти ги поразуваш, а тие не чувствуваат болка; Ти ги истребуваш, а тие не сакаат да се вразумат; ги направиле лицата свои поцврсти од камен - не сакаат да се обратат.
4. Па си реков: - тоа се, можеби, сиромаси; тие се глупави, зашто не го знаат патот Господов, законот на својот Бог.
5. Ќе одам кај големците и ним ке им зборувам, зашто тие го знаат патот Господов, законот на својот Бог. Но и тие сите го скршија јаремот, ги раскинаа веригите.
6. Поради тоа лав од шумата ке ги порази, пустински волк ке ги истреби, леопард ке ги демне крај градовите нивни: кој ке излезе од нив ке биде раскинат; зашто се намножија престапите нивни, се засилија отстапувањата нивни.
7. Како да ти го простам тоа? Твоите синови Ме оставија и се колнат во оние, што не се богови. Јас ги наситував, а тие вршеа прељуба и во групи одеа во куките на блудниците.
8. Тоа се како угоени коњи: секој од нив ‘ржи по жената на ближниот свој.
9. Зар да не казнам поради тоа - вели Господ; а душата Моја нема ли да одмазди на таков народ, како овој?
10. Качувајте се на ѕидиштата негови и урнувајте ги, но не до крај; уништете ги нивните диреци, зашто тие не се Господови;
11. оти домот Израилев и домот Јудин постапија спрема Мене многу вероломно, вели Господ;
12. тие излагаа против Господа и рекоа: ‘не, зло нема да не снајде, и ние нема да видиме ни меч, ни глад.‘
13. И пророците се ветар, и слово Господово нема во нив, врз нив самите нека се збидне тоа.
14. Поради тоа вака вели Господ, Бог Саваот: ‘затоа што говорите такви зборови, ете, Јас ке ги направам Моите зборови во устата твоја оган, а овој народ - дрва, и овој оган ке ги проголта.‘
15. Ете, ке доведам против вас, доме Израилев, народ од далеку, вели Господ, народ силен, народ одамнешен, народ, чиј јазик не го знаеш, и нема да разбираш, што ке ти зборува.
16. Торбата за стрели му е како отворен гроб; сите тие се храбри лу е.
17. И ке ја изедат жетвата твоја и лебот твој, ке ги изедат синовите твои и керките твои, ке ги изедат овците твои и воловите твои, ке го изедат лозјето твое и смоквите твои; ке ги разрушат со меч утврдените градови твои, на кои ти се надеваш.
18. Но и во тие дни, вели Господ, нема да ве истребам сосема.
19. И ако речете: ‘зошто нашиот Господ Бог ни го прави сево ова?‘ Он ке им одговори: ‘бидејки Ме оставивте и им служите на ту и богови во своја земја, затоа ке служите на ту инци не во вашата земја.‘
20. Објавете го тоа во домот Јаковов, разгласете во Јудеја, велејки:
21. чуј го ова, народе безумен и неразумен, кој имаш очи, а не гледаш, имаш уши, а не слушаш:
22. ‘од Мене ли не се плашите‘, вели Господ, ‘пред Мене ли не треперите? Јас ставив песок како граница на морето, за вечен предел, кој нема да премине; и макар што брановите негови ке надојдат, но не ке можат да се прелијат; макар што се упорни, но не ке можат да го префрлат.
23. А овој народ има упорно и неопкорно срце; тие отстапија и тргнаа.
24. И не рекоа во срцето свое: да се уплашиме од нашиот Господ Бог, Кој ни дава навреме дожд, ран и доцен, ги пази за нас седмиците, одредени за жетва.
25. Вашите беззаконија го отфрлија тоа, и вашите гревови го отстранија од вас тоа добро.
26. Зашто ме у Мојот народ има безбожници: пазат како сокриени ловци на птици, се влечат по земјата, ставајки стапици за да ловат лу е.

27. Како кафез, со птици, домовите нивни се полни со измама: а преку тоа тие се издигнаа и се збогатија;
28. се здебелија, злото надмина секоја мерка, не разгледуваат судски дела, дела на сираци; и добро им е, иако не ги пресудуваат праведните дела на сиромасите.
29. Зар нема да казнам заради тоа - вели Господ; и нема ли да се одмазди душата Моја на таков народ, како овој?
30. Нешто исклучително и ужасно, станува во таа земја:
31. пророците пророкуваат лага, свештениците господарат преку нив - и Мојот народ го сака тоа. Што всушност ке правите по сето тоа?

Глава 6

1. Бегајте, деца Венијаминови, од Ерусалим, трубете со труба во Текоја и јавете преку оган во Вет - Акерем, зашто откај север се појавува зло и голема погибел.
2. Јас ја разубавив керката Сионова, прекрасна и разнежена.
3. Ќе дојдат кај неа пастири со стадата свои, ќе распнат шатори околу неа; секој ќе го пасе својот дел.
4. Гответе против неа војна; станувајте да тргнеме на пладне. Тешко нам! Денот веќе одминува, се спушаат вечерни сенки.
5. Станувајте да одиме и ноќе, и да ги срушиме нејзините дворци!
6. Зашто вака вели Господ Саваот: сечете дрвја и кревајте насипи протв Ерусалим: тој град треба да се казни; во него се врши секакво насилство.
7. Како што од извор блика вода, така и од него блика зло: во него се слуша насилство и отимање, пред Моето лице секогаш има навреди и рани.
8. Вразуми се, Ерусалиме, за да не се отстрани од тебе душата Моја и да не те направам пустиња, земја ненаселена.
9. Вака вели Господ Саваот: докрај ќе ги оберат остатоците на Израилот, како грозје; работи со раката своја, како берач на грозје, кога полни кошници.
10. Кому да му говорам и кого да го убедувам, за да чујат? Ете, нивното уво е необрезано, и тие не можат да слушаат; ете, словото Господово кај нив е за потсмев; тоа им е непријатно.
11. Поради тоа јас сум преполнет со Господова јарост, не можам да ја држам во себеси; ќе ја излеам врз децата по улиците и врз собрани младинци, ќе бидат земени маж со жена, старец со млад.
12. И куќите нивни ќе ги присвојат други, исто така и нивите и жените; зашто ќе ја протегнам раката Своја врз жителите на таа земја, вели Господ.
13. Зашто од мал до голем, секој од нив се предал на лакомост, и пророк и свештеник - сите дејствуваат лажливо:
14. ги лекуваат раните на Мојот народ лесномислено, велијки: ‘мир! мир!‘ а мир нема.
15. Се срамуваат ли тие, кога вршат гадотии? Не, никако не се срамуваат и не црвенеат. Затоа ќе паднат ме у паднатите, и во време на Мојата посета ќе бидат соборени, вели Господ.
16. Вака вели Господ: - застанете на вашите патишта, разгледајте и распитајте за дамнешните патишта, каде е добриот пат, врвете по него, и ќе најдете спокојство на душите свои. Но тие рекоа: нема да врвиме.
17. И поставив чувари над вас, и реков: ‘слушајте го звукот на трубата. Но тие рекоа: - нема да слушаме.
18. И така, чујте народи, и знај, собрание, што ќе стане со нив.
19. Чуј, земјо: ете, ќе испратам против овој народ погибел, плод на помислите нивни; зашто тие не ги слушаа Моите зборови и Мојот закон го отфрлија.
20. Зошто Ми е Ливан, што иде од Сава, и миризлива трска - од далечна земја? Вашите сепаленици не Ми се угодни, и вашите жртви не Ми се пријатни.
21. Затоа вака вели Господ: ‘ете, поставувам пред овој народ пречки, и ќе се сопнат од нив таткото и децата заедно, соседот и неговиот пријател, и ќе загинат.
22. Вака вели Господ: - ете, иде народ од северна земја, и голем народ се крева од земните краишта;
23. во рацете држат лак и копје; тие се жестоки и немилостиви, гласот нивни им бучи како море, и летаа на коњи, наредени како еден човек, за да удрат протв тебе, керко Сионова.
24. Чувме вест за нив, и рацете ни премалеа, скрб не обзеде, маки - како жена при ра ање.
25. Не излегувајте на нива и на пат не одете, зашто непријателски меч и ужас од сите страни е.
26. Керко на Мојот народ, препаши се со костерт и посипи се со пепел; тагувај како за син единец - горко плачи; зашто ненадејно ќе дојде врз нас погубник.

27. Те поставив за кула среде Мојот народ, за столб, за да знаеш да ги испитуваш нивните патишта.
28. Сите тие се упорни одметници, живеат со клевета; тоа се бакар и железо - сите се расипани.
29. Мевот изгоре; оловото се стопи од огнот; леарот топи напразно, зашто лошите не се отстранија;
30. ке ги наречат лажно сребро, зашто Господ ги отфрли.

Глава 7

1. Слово, што му дојде на Јеремија од Господа:
2. 'Застани при вратата на домот Господов и објави го таму ова слово и кажи: чујте го словото Господово, сите Јудејци, што влегувате низ таа врата да му се поклонувате на Господа.
3. Така вели Господ Саваот, Бог Израилев: ‘исправете ги вашите патишта и вашите дела, и Јас ке ве оставам да живеете на тоа место.‘
4. Не се надевајте на лажливете зборови: ‘ова е храмот Господов, храмот Господов, храмот Господов.‘
5. Но ако ги исправите наполно вашите патишта и вашите дела, ако верно извршувате суд ме у човекот и ближниот негов,
6. ако не притеснувате другоземец, сирак и вдовица, не пролевате невина крв на тоа место и не тргнете по други богови за ваше зло,
7. Јас ке ве оставам да живеете на ова место, во оваа земја, што им ја дадов на татковците ваши од века до века.
8. Ете, вие се надевате на лажливи зборови, кои нема да ви донесат полза.
9. Вие крадете и убивате, вршите прељуба и се колнете криво, му кадите на Ваала и одите по други богови, кои не ги познавате,
10. и потоа доа ате и се исправате пред лицето Мое во овој дом, над кој е повикано името Мое, и велите: ‘спасени сме, за да ги вршите сите тие гадотии и понатаму.‘
11. Не се претвори ли во вашите очи во разбојничко гнездо овој дом, над кој е повикано името Мое? Ете, Јас го видов тоа, вели Господ.
12. Но одете сега на Моето место во Силом, каде што порано бев одредил да почива Моето име, и видете, што направив со него поради беззаконијата на Мојот народ Израилот.
13. И, бидејки ги вршите сите тие работи, вели Господ, и вие не слушавте, и ве викав, а вие не одговаравте, -
14. затоа Јас сега ке постапам исто со овој дом, над кој е призвано Моето име, на кое вие се надевате, и со местото, што ви го дадов вам и на татковиците ваши, како што постапив со Силом.
15. И ке ве отфрлиам од лицето Свое, како што ги отфрлив сите ваши брака, целото семе Ефремово.
16. А ти, не моли се за овој народ и не вознесувај заради него молитви и молби, и не посредувај пред Мене, зашто нема да те чујам.
17. Не гледам ли, што прават тие во градовите на Јудеја и по улиците ерусалимски?
18. Децата собираат дрва, а татковците палат оган, и жените месат тесто, за да прават банички за божицата на небото и да вршат преливи за други богови, за да Ме огорчуваат.
19. Но Мене ли Ме огорчуваат тие - вели Господ; не себеси ли - за нивни срам?
20. Затоа вака вели Господ Бог: ете, се излива Мојот гнев и Мојата јарост врз ова место, врз лу ето и врз добитокот, врз полските дрвја и врз земните плодови, ке се разгори и нема да угасне.
21. Вака вели Господ Савато, Бог Израилев: - вашите сепаленици поднесувајте ги зедно со вашите жртви и јадете го месото;
22. зашто Јас не им говорев на татковицте ваши и не им давав заповеди за сепаленици и жртви во тој ден, кога ги изведов од Египетската земја;
23. туку ова им го заповедав: ‘слушајте го Мојот глас, и Јас ке бидам ваш Бог, а вие ке бидете Мој народ, и одете по оној пат, по кој ке ви заповедам, за да ви биде добро.
24. Но тие не послушаа и не го наклонија увото, и живееја по желбите и по упорството на своето лошо срце, и ми свртеа грв, а не лице.
25. Од оној ден, кога татковицте ваши излегоа од Египетската земја, до денес ги испракав при вас слугите Свои - пророците, ги испракав секој ден од рано утро и постојано,
26. но тие не Мое послушаа и не го наклонија увото, туку станаа тврдоглави, постапуваа

полошо од татковците свои.
27. И кога ке им ги кажуваш сите овие зборови, тие нема да те послушаат; и кога ке ги викаш, тие нема да ти се одѕиваат.
28. Тогаш речи им: ‘еве народ, кој не го слуша гласот на Господа, својот Бог, и не прима поука! Нема кај нив вистина, таа е одземена од устата нивна.‘
29. Истрижи ја косата своја и фрли ја, и почни да плачеш по горите, зашто Господ го отфрли и го остави родот, што го навлече гневот Негов.
30. Зашто синовите на Јуда вршат зло пред Моите очи, вели Господ; ги поставија своите гадотии во домот, над кои е повикувано името Мое, за да го осквернат;
31. и изградија идолско светилиште на Тофет во долината Еномовите синови, за да ги изгоруваат во оган синовите свои и керките свои, што не сум го заповедал и кое ни на ум не Ми доа ало.
32. Затоа, идат дни, вели Господ, кога тоа место нема повеке да се нарекува Тофет и долина на синовите Еномови, туку крвна долина, и во Тофет ке се погребуваат поради немање на место.
33. И труповите на овој народ ке бидат храна на птиците небески и на ѕверовите земни, и ке нема кој да ги брка.
34. Во градовите на Јудеја и по улиците ерусалимски ке го прекратам гласот на радост и гласот на веселба, гласот на младоженец и гласот на невеста; зашто таа земја ке стане пустелија.

Глава 8

1. Во тоа време, вели Господ, ке ги исфрлам од гробовите коските на царевите на Јуда, и коските на кнезовите негови, и коските на свештениците, и коските на пророците, и коските на жителите ерусалимски.
2. И ке ги расфрлат пред сонцето и месечината и пред сета небесна војска, кои тие ги сакаа, на кои им служеа и по кои одеа, кои ги бараа и на кои им се поклонуваа; тие нема да се соберат и нема да се погребат; тие ке бидат убре на земјата.
3. И ке претпочитаат смрт пред животот сите оние, што ке останат од тоа лошо племе по сите страни, каде што Јас ке ги изгонам, вели Господ Саваот.
4. И кажи им уште; вака вели Господ: зар паднатите не стануваат, и оние што скршнале од патот не се вракаат?
5. Зошто се свртил овој народ ерусалимски? Тие се држат цврсто за измамата и не сакаат да се обрнат.
6. Јас набљудував и слушав: тие не говорат право, никој не се кае за злото свое, никој не вели: ‘што направив;‘ секој тргнал по својот пат како коњ, што се впушта во бој.
7. И штркот под небото ги знае своите определени времиња; гугутката, ластовицата и жеравот го пазат времето, кога мораат да се вратат, а Мојот народ, не знае за судот Господов.
8. Како зборувате: ‘ние сме мудри, и законот Господов е во нас?‘ А, ете, лажливото перо на книжниците и него го претвораат во лага.
9. Се посрамија мудрите, се вознемирија и се заплеткаа во мрежа: ете, тие го отфрлија словото Господово; каде е тогаш нивната мудрост?
10. Заради тоа жените нивни ке им ги дадам на други, нивите нивни - на ту инци, зашто сите тие, од мал до голем, се предадоа на користољубие; од пророк до свештеник - сите дејствуваат лажливо.
11. Зашто, лекувајки ја лесномислено раната на керката на Мојто народ, велит: ‘мир, мир,‘ а мир нема.
12. Срам ли им е, кога вршат гадотии? Не, воопшто не им е срам и не црвенеат. Затоа ке паднат ме у паднатите; кога ке ги посетам, тие ке бидат соборени, вели Господ.
13. Неполно ке ги оберам, вели Господ; нема да остане ни еден грозд на лоза, ни смоква на смокната, ке паднат лисјата, и она што сум им го дал, ке се одземе од нив.
14. 'Зошто стоиме? Собирајте се, да одиме во утврдените градови и таму да загинеме; зашто Господ, нашиот Бог, определил да загинеме и ни дава да пиеме вода со жолчка, затоа што згрешивме пред Господа.'
15. Очекуваме мир, но нема ништо добро, - време за оздравување, а ете ужаси.
16. Од Дан се слуша фркање на коњите негови, од ‘ржењето на пастувите негови трепери целата земја; ке дојдат и ке ја опустошат земјата и се што има на неа, градот и оние што живеат во него.
17. Зашто, ете, Јас ке испратам против вас змии, отровници, против кои бајачка нема, и тие ке ве каснуваат, вели Господ.
18. Сакам да се утешам во тагата своја, но срцето ми е малаксано.
19. Ете, слушам од далечна земја пискот од керката на Мојот народ: ‘зар нема Господ на Сион? Зар Царот негов не е таму? - Зошто ме разгневија со своите резани ликови, на ту и адети.‘
20. Мина жетвата, сврши летото, а ние не се избавивме.
21. Поради уништувањето на керката на Мојот народ и јас сум уништен, одам нажален, ужас ме обзема.
22. Зар нема балсам во Галад? Зар таму нема лекар? И зошто нема лек за керката на Мојот народ?

Глава 9

1. О, кој ке даде на главата моја вода и на очите мои - извор на солзи? Јас бев плачел ден и нок за убиените на керката на мојот народ.
2. О, кој би ми дал во пустињата последен престој! Би го оставил мојот народ и би избегал од нив: зашто сите тие се прељубодејци, собир на престапници.
3. Како лак го запнуваат јазикот свој за лаги, со неправда се засилуваат на земјата; зашто минуваат од едно зло на друго и Мене не Ме поснаваат, вели Господ.
4. Пазете се секој од пријателот свој, и не се доверувајте никому од браката свои; зашто секој брат му става сопка на другиот, и секој пријател разнесува клевета.
5. Секој го лаже пријателот свој, и вистина не говорат: го научија јазикот свој да говори лага, се трудат да прават зло.
6. Ти живееш ме у измами, па поради измама тие откажуваат дека Ме познаваат, вели Господ.
7. Затоа вака вели Господ Саваот: ете, ке ги растопам и ке ги испитам; зашто, како инаку да постапам со керката на Мојот народ?
8. Јазикот нивни - стрела смртоносна, говори подмолно; со устата кон ближниот зборуваат пријателски, а во срцето свое му кројат примки.
9. Зар нема да ги посетам, вели Господ? Нема ли да се одмазди душата Моја на таков народ, како овој?
10. На горите ке кренам плач и пискот, и по пасиштата во степите - ридание, зашто тие се изорени, така што преку нив никој не минува, ниту се слуша блеење на стада: и птиците небески и добитокот - се се распрснало и избегало.
11. И ке го претворам Ерусалим во купишта камења, живеалиште на змии, и градовите на Јудеја ке ги направам пустиња, без жители.
12. Има ли таков мудрец, што ке го разбере ова? И оној, кон кого говори устата Господова - да објасни, зошто загина земјата и изгоре како пустиња, така што никој не минува низ неа?
13. И рече Господ - поради тоа што го оставија Мојот закон, што го бев определил за нив, не го слушаа гласот Мој и не постапија според него,
14. туку одеа според тврдокорноста на срцето свое и по Вааловци, како што ги научија татковците нивни.
15. Заради тоа вака вели Господ Саваот, Израилевиот Бог: еве, ке ги нахранам тие лу е со пелин, ке ги напојам со вода и жолчка.
16. и ке ги растурам ме у народи, што не ги познаваа ни тие ни татковците нивни и ке испратам по нив меч, се додека ги истреби.
17. Така вели Господ Саваот: побарајте и повикајте да дојдат тажачки; испратете да дојдат вешти жени за таа работа.
18. Нека побрзаат и да заплачат заради нас, та од очите наши да се лејат солзи и од клепките наши вода да тече.
19. Затоа што глас од плач се слуша од кај Сион: 'Како не ограбија, лошо сме посрамени, бидејки ја оставаме земјата - ни ги разрушија куките.'
20. Па така, слушајте го, жени, словото од Господа и да внимава увото ваше на словото од устата Негова; и учете ги керките свои на плач, и една со друга - на тажни песни.
21. Бидејки смртта влегува преку прозорците наши, се впушта во куките наши, за да ги истреби децата од улиците и младешта од плоштадите.
22. Речи: така вели Господ - и ке бидат фрлени труповите на лу ето како убре во поле и како снопја зад жетвари, и не ке има кој да ги собере.
23. Така вели Господ: мудриот да не се фали со мудроста своја, силниот да не се фали со силата своја, богатиот да не се фали со богатството свое.
24. А кој се фали, нека се фали со тоа, дека Ме разбира Мене и дека знае оти Јас сум Господ, Кој покажува милост, суд и правда на земјата; оти само тоа е благоугодно пред Мене, вели Господ.

25. Ете идат денови, вели Господ, кога ќе ги посетам сите обрезани и необрезани:
26. Египет и Јудеја, Едома и синовите Амонови, Моава и сите кои се стрижат од страна, што живеат во пустињата; оти сите тие народи се необрезани, а сиот дом Израилев има срце необрезано.

Глава 10

1. Слушајте го словото, кое Господ ви го кажува, доме Израилев!
2. Вака вели Господ - не одете по патот на незнабошците и не плашете се од небесните знаци,
од кои се бојат незнабошците.
3. Бидејки наредбите од народите се суетни: отсекуваат дрво во гората, го изделкуваат
човечки раце,
4. го украсуваат со сребро и злато, го прицврстуваат со клинови и со чекан за да не се ниша.
5. Тие богови се како столб, измазнет на струг, и не говорат; нив ги носат, оти не можат да
одат. Не плашете се од нив, оти тие не можат да направат зло, но и добро не можат да
направат.
6. Нема сличен на Тебе, Господи! Ти си велик и името Твое е велико со Твојата мок.
7. Кој не ке се бои од Тебе, Царе над народите, зашто само Тебе Ти припа а тоа; бидејки ме у
сите мудреци кај народите и во сите царства нема сличен на Тебе.
8. Сите тие до еден се неразумни глупави; дрвото е суетно учење.
9. Среброто ковано во листови се носи од Тарсис, златото од Уфаз, дело на мастор и на леар;
облеклото нивно е до порфир и кадифе; сето тоа е дело на вешти лу е.
10. А Господ Бог е вистина; Он е жив Бог и вечен Цар. Од Неговиот гнев трепери земјата, и
народите не можат да го издржат Неговото негодување.
11. Така речете им: боговите што не ги направиле небото и земјата ке исчезнат од земјата и од
под небесата.
12. Он ја создаде земјата со силата Своја, ја утврди вселената со мудроста Своја и со разумот
Свој ги распростре небесата.
13. Од гласот Негов шумат водите небески, и Он ги крева облаците од краиштата земни,
создава молскавици среде дожд и изведува ветар од живеалиштето Свое.
14. Секој човек станува безумен во своето знаење, се срамува секој леар со идолот свој,
бидејки она што го излеал е лага, и во него нема дух.
15. Тоа е суета, дела на заблуда; во времето на посетата нивна тие ке исчезнат.
16. Делот на Јакова не е како нивниот; бидејки неговиот Бог е создател на се, а Израилот е
жезал на неговото наследство; името Му е Господ Саваот.
17. Прибери си го имотот свој од земјата, ти која ке седиш во опсада.
18. Оти вака вели Господ: еве, овој пат ке ги исфрлам жителите од оваа земја и ке ги одведам
во тесно место, за да ги фатат.
19. Тешко мене во маката моја; лута е раната моја, но јас си велам - 'навистина тоа е моја
болка и јас ке ја поднесувам;
20. шаторот ми е опустошен и сите мои врвци се скинати; децата мои бегаат од мене, и ги
нема: нема веке кој да го распне шаторот мој и да ги постави завесите мои;
21. бидејки пастирите станаа безумни и не Го бараат Господа, па затоа и тие постапија
неразумно, така што целото стадо им се распрсна.'
22. Ете, се слуша глас и голема врева од северната страна за да ги направи градовите на
Јудеја пустиња, живеалиште на шакали.
23. Знам, Господи, дека патот на човекот не зависи од него, дека не е во власта на оној кој
оди, за да ги исправа стапките свои.
24. Казни ме Господи, но по правда, не во гневот Свој, за да не ме сотреш.
25. Излеј ја јароста Своја врз народите, кои не Те познаваат, и врз племињата, што не го
призовуваат името Твое; оти тие го изедоа Јакова, го проголтаа и го истребија и живеалиштето
му го опустошија.

Глава 11

1. Слово Господово до Јеремија:
2. Чујте ги зборовите на овој завет и кажете им на лу ето од Јудеја и на ерусалимските жители;
3. и речи им: вака вели Господ, Бог Израилев - проклет да е оној човек што нема да ги послуша
зборовите на овој завет,
4. што им ги заповедав Јас на таткоците ваши, кога ги изведов од Египетската земја, од
железната печка, велејки: чујте го гласот Мој и правете што ке ви заповедам - па ке бидете Мој
народ, и Јас ке бидам ваш Бог,
5. за да се исполни клетвата, со која им се заколнав на татковците ваши - да им дадам земја,
каде што тече мед и млеко, како што е сега. Па одговорив и реков: амин, Господи!
6. И ми рече Господ: објави ги сите овие зборови по градовите на Јуда и по ерусалимските
улици, и речи - слушајте ги зборовите на овој завет и исполнувајте ги.
7. Зашто Јас постојано им напомнував на татковците ваши од оној ден, кога ги изведов од
Египетската земја, па се до денес; и им зборував од рано утро, велејки: слушајте го гласот Мој.
8. Но тие не слушаа и не го свртија увото свое, туку одеа секој според тврдокорноста на своето
лошо срце; затоа испратив врз нив се што е речено во овој завет, кој им го заповедав да го
исполнуваат, но тие не го исполнуваа.
9. И ми рече Господ: има бунт ме у лу ето на Јуда и жителите на Ерусалим;
10. тие се вратија кон беззаконијата на своите прадедовци, кои се откажаа да ги слушаат
зборовите Мои, па тргнаа по ту и богови, за да им служат. Домот на Јуда и домот на Израилот
го нарушија Мојот завет, што го бев склучил со татковците нивни.
11. Затоа вака вели Господ: еве, ке испратам врз нив зло, од кое не ке можат да се избават, и
кога ке повикаат кон Мене, нема да ги чујам.
12. Тогаш градовите на Јуда и жителите на Ерусалим ке појдат и ке повикаат кон боговите, на
кои им кадат; но тие нема да им помогнат во времето на нивното зло.
13. Оти, коку градови имаш, Јудо, толку имаш и богови, и колку улици има во Ерусалим, толку
жртвеници подигнавте на она што е срамно, жртвеници за кадење на Ваала.
14. Но ти немој да молиш за тој народ и не упатувај за нив молитви и молби; оти нема да ги
чујам, кога во злото свое ке повикаат кон Мене.
15. Што бара Мојата сакана во домот Мој, кога во него се извршуваат многу срамни работи? И
жртвуваното месо нема да ти помогне, кога се радуваш, правејки зло.
16. Залена маслина те нарече Господ која се украсува со убави плодови. А сега, при шумот на
големиот смут, Он заполи оган околу неа и гранките нејзини се скршија.
17. Господ Саваот, Кој те посади, пресуди за тебе зло поради злото на домот Израилев и на
домот Јудин, што го направија со тоа што Ме разгневија со кадењето свое на Ваала.
18. Господ ми откри, и јас знам; ти ми ги покажа нивните дела.
19. Јас, пак, како кротко јагне, водено на клање, и не знаев дека тие смислуваат заговор
против мене, велејки: 'да му ставиме отровно дрво во неговото јадење, и да го истгнеме од
земјата на живете, така што ни името негово веке да не се споменува.'
20. Но Ти, Господе Саваоте, праведен Судијо, Кој ги испитуваш срцата и утробите, допушти да
ја видам Твојата одмазда врз нив, бидејки Тебе ти го доверив своето дело!
21. Затоа така вели Господ, за лу ето од Анатот, кои сакаат да ја одземат душата твоја и кои
велат: не пророкувај во името на Господа, за да не умреш од рацете наши;
22. поради тоа вака вели Господ Саваот: еве, Јас ке ги посетам; младичите нивни ке умрат од
меч; синовите и керките нивни ке умрат од глад.
23. И нема ништо да остане од нив, зашто ке испратам зло врз Анатотите во годината, кога ке
ги посетам.

Глава 12

1. Праведен си Ти, Господи, ако би се оправдувал со Тебе; но ќе проговорам за судовите Твои. Зошто патот на безбожниците е успешен и живеат во мир сите оние што не веруваат?
2. Ти ги посади, и тие се вкоренија и израснаа, па и плод даваат; во устата нивна Ти си близок, но далеку си од срцето нивно.
3. А мене, Господи, Ти ме познаваш, Ти ме гледаш и го испитуваш срцето мое какво е кон Тебе. Одвои ги како овци за клање и приготви ги за денот, кога ќе бидат убиени.
4. Долго ли ќе тагува земјата, и ќе се исуши тревата по сите полиња? Добитокот и птиците гинат поради беззаконијата на жителите нејзини; оти велат: Он нема да види, што ќе стане со нас.
5. Кога трчаше со пешаците и тие те изморија, како можеш тогаш да се натпреваруваш со коњи? И ако беше спокоен во мирна земја, што ли ќе правиш, кога ќе се крене Јордан?
6. Зашто и браќата твои, и домот на таткото твој, неверно постапуваат со тебе и викаат во висок глас против тебе. Не верувај им и кога зборуваат добро за Тебе.
7. Јас го оставив Мојот дом, го напуштив наследството Свое; најмилото на душата Моја го предадов во рацете на непријателите негови.
8. Моето наследство стана за Мене како лав во гора: крена глас против Мене - затоа го замразив.
9. Наследството Мое стасна како птица шарена, врз која од сите страни се нафрлуваат други грабливи птици. Одете, собирајте се сите полски ѕверови, одете да го изедете.
10. Многу пастири го растурија Моето лозје, го изгазија со нозе делот Мој: Мојот драг дел го направија гола пустелија, -
11. го направија пустиња, и тој запусте, плаче пред Мене; целата земја ја опустошија, оти никој не го зема тоа при срце.
12. По сите гори во пустињата дојдоа опустошители, оти мечот Господов уништи се од едниот крај на земјата до другиот: нема мир за ниедно суштество.
13. Тие сееја пченица, а жнееја трње; се мачеа и никаква корист не добиваа; засрамете се за трудот свој поради пламениот гнев на Господа.
14. Така вели Господ за сите мои лоши соседи, кои ги напа аа делата, што ги извршив за наследството на Мојот народ, Израилот. Еве, Јас ќе ги откорнам од земјата и домот Јудин ќе го истргнам од неговата средина.
15. Но, откако ќе ги истргнам, пак ќе ги вратам и ќе ги помилувам, и секого ќе го доведам во неговиот дел и секого - во земјата негова.
16. Па, ако ги научат патиштата на Мојот народ, за да се колнат во Мое име, велејќи 'жив Господ', како што тие го научија народот Мој да се колне во Ваала, ќе се населат ме у Мојот народ.
17. Ако, пак, не послушаат, ќе ги искоренам и наполно ќе истребам таков народ, вели Господ.

Глава 13

1. Вака ми рече Господ: оди и купи си ленен појас и опаши се со него, но не клавај го во вода.
2. Јас си купив појас, како што рече Господ, и го препашав крстот свој.
3. И би слово Господово до мене по вторпат, и ми беше речено -
4. земи го појасот, што го купи, и кој ти е на крстот твој, па стани и оди до Ефрат и сокри го таму во некоја камена пукнатина.
5. Јас отидов и го сокрив при Ефрат, како што ми заповеда Господ.
6. А штом изминаа повеке дни, Господ ми рече - стани, оди при Ефрат и земи го оттаму појасот, за кој ти бев заповедал да го сокриеш таму.
7. И јас отидов до Ефрат, ископав и го зедов појасот од местото, каде што го бев сокрил, а тоа - појасот беше изгнил и станал веке неупотреблив.
8. И би слово Господово до мене:
9. вака вели Господ ке ја скршам гордоста на Јуда, и големата гордост на Ерусалим.
10. Тој лош народ, кој не сака да ги слуша зборовите Мои, живее според тврдокорното срце свое и оди по други богови, за да им служи и да им се клања, па ке биде како овој појас, кој не е годен за ништо.
11. Оти, како што појасот се прилепува до крстот на човекот, така и Јас го прилепив до Себе сиот Израилев и сиот Јудин дом, вели Господ, за да бидат Мој народ и Моја слава, похвала и украс, но тие не послушаа.
12. Затоа, кажи им го овој збор: вака вели Господ, Бог Израилев - секој мев за вино се полни со вино. Тие ке тиречат: зар ние не знаеме, дека секој мев за вино се полни со вино?
13. А ти кажи им: еве што вели Господ - Јас ке ги наситам со вино до опивање сите жители на таа земја, и царевите, кои седат на Давидовиот престол, свештениците и пророците и сите ерусалимски жители,
14. и ке ги судрам еден со друг, татковците со синовите заедно, вели Господ; нема да ги поштедам, нема да ги помилувам, нема да зажалам што ке ги истребам.
15. Слушајте и внимавајте; немојте да бидете горди, оти Господ зборува.
16. Подајте слава на Господа, вашиот Бог, додека Он се уште не испратил темнина и додека се уште нозете ваши не се спотакнуваат по темни гори; тогаш ке очекувате светлина, а Он ке ја претвори во смртна сенка и ке ја направи темнина.
17. Ако, пак, не го послушате тоа, душата моја ке ја оплакува вашата гордост во скришни места, ке плаче горко, и очите мои слози ке леат; бидејки стадото Господово ке биде во плен одведено.
18. Кажи ми на царот и на царицата: смирете се, седнете пониско, оти ке паднат од главите ваши венците на вашата слава.
19. Јужните градови се затворени, и нема кој да ги отвори; цел Јуда во ропство се одведува заедно со сиот плен.
20. Кренете ги очите и погледајте ги оние што идат од север: каде е стадото, што ти беше дадено, убавото стадо твое?
21. Што ке речеш, керко Сионова, кога ке те посети Он? Ти сама ги научи да господарат над тебе: нема ли да те стегнат болки како жена кога ра а?
22. Ако речеш во срцето свое: 'зошто ме снајде ова?' - па, поради многуте твои беззаконија, ке се кренат твоите поли и твоите пети се соголија.
23. Може ли Етиопјанин да ја смени кожата своја и леопардот - дамките свои? Па така и вие, можете ли да правите добро, кога сте свикнати да вршите зло?
24. Затоа ке ги развеам како прав, ке ги разнесам со пустински ветар.
25. Ете го твојот жреб, делот што сум ти го одмерил, вели Господ, бидејки ти Ме заборави и се надеваше на лага.
26. Затоа, ке ти биде крената полата твоја врз лицето твое, за да се види срамотијата твоја.
27. Го видов твоето прељубодејство и твоите бесни похоти и гнасотии по височинките и по

полињата; тешко тебе, Ерусалиме; зар нема да се очистиш? А до кога уште?

Глава 14

1. Слово Господово што би до Јеремија за суша.
2. Плаче Јуда, портите му се урнати, лежат на земјата поцрнети, и пискот се крена во Ерусалим.
3. Големците ги пракаат слугите свои по вода; тие одат при изворите и не нао аат вода; се вракааат со празни садови; посрамени и смутени, тие ги покриваат главите свои.
4. Бидејки земјата напукнала од суша, и земјоделците се смутени и ги покриваат главите свои.
5. Дури и кошутата, кога ке роди во полето, ги остава младите свои, оти нема трева.
6. И дивите осли стојат по високите места и голтаа воздух како шакали; очите им се потемнети, зашто нема трева.
7. И ако нашите беззаконија сведочат протв нас, но Ти, Господи, постапи со нас заради името Твое; големо е нашето отстапништво, згрешивме пред Тебе.
8. Надеж Израилева, Спасителе негов во зло време! Зошто си како ту инец во оваа земја, како патник што дошол да пренокева?
9. Зошто си како уморен човек, како јунак што нема сила да спасува? А и покрај сето тоа, Господи, Ти си ме у нас и името Твое се призива од нас. Не оставај не!
10. Така зборува Господ кон овој народ. Бидејки сакаат да скитаат, не ги запираа нозете свои, Господ не благоволи кон нив, се сети сега за беззаконијата нивни и ги казнува гревовите нивни.
11. И ми рече Господ: немој да се молиш за доброто на овој народ.
12. Ако постат, нема да го чујам пискотот нивни; и, ако принесат и сепаленица и дар, нема да ги примам; но со меч, со глад, и со помор ке ги истребам.
13. Тогаш реков: Господи Боже, еве пророците им кажуваат: меч нема да видите, и глад нема да има кај вас, а ке ви дадам постојанен мир на ова место.
14. И ми рече Господ: пророците пророкуваат лага во Мое име, Јас не сум ги пратил и не сум им дал заповеди, ниту сум им зборувал; тие ви проповедуваат лажни виденија и баења, суета и измислици од своето срце.
15. Затоа вака вели Господ за пророците: тие пророкуваат во Мое име, но Јас не сум ги ипракал; тие зборуваат: 'меч и глад нема да има во таа земја' - со меч и глад ке бидат истребени тие пророци.
16. И народот, кому му пророкуваат, од глад и меч ке биде кутнат по улиците ерусалимски, и не ке има кој да ги погребе - нив и жените нивни, синовите нивни и керките нивни; и Јас ке ја излеам врз нив нивната лошотија.
17. Па кажи им ги овие зборови: нека се лијат солзи од очите мои дење и ноке и нека не престануваат, оти со голем пораз, со тежок удар е поразена девојката, керката на мојот народ.
18. Излегувам по полето, а таму - убиени со меч; влегувам во градот, и ете многумина умираат од глад: дури и пророк и свештеник отидоа несвесно по земја што не ја знаеја.
19. Зар наполно ти го отрфли Јуда? Зар душата Твоја го замрази Сион? Зошто така не поразуваш, за да не можеме да се излечиме? Чекаме мир - а нема ништо добро; чекаме време за спасување - а еве, ужаси.
20. Ја сознавме, Господи, нечесноста своја, беззаконијата на нашите татковци, дека згрешивме пред Тебе.
21. Не отфрлај не нас заради името Твое; не понижувај го престолот на Својата слава: сети се, не разрушувај го Твојот завет со нас.
22. Име ли ме у незнабожечките суетни богови такви, што можат да дадат дожд, или, пак, може ли небото само од себе да лие голем дожд? Зар не си Ти тоа, Господи Боже наш? На Тебе се надеваме, оти Ти го создаваш сето тоа.

Глава 15

1. И ми рече Господ: да беа застанале пред лицето Мое дури Мојсеј и Самуил, душата моја пак немаше да се приклони кон тој народ; отерај ги од пред лицето Мое, нека си одат.
2. Ако, пак, те прашаат: 'каде да одиме?' - кажи им: вака вели Господ - кој е за смрт, нека оди во смрт: и кој е за меч - под меч; кој е, пак, за глад - на глад; и кој е за ропство - во ропство.
3. И ќе испратам врз нив четири вида смрт, вели Господа: меч за да ги убива, кучиња, за да ги раскинуваат, небески птици, и полски ѕверови, за да ги изедуваат и истребуваат.
4. И ќе направам да се озлобат против нив сите земни царства заради Манасија, синот на Јудејскиот цар Езекија, за оној што го изврши тоа во Ерусалим.
5. Оти, кој ќе ти пожали, Ерусалиме, кој ќе ти изјави сочувство, и кој ќе наврати до тебе, за да те праша добро ли ти е?
6. Ти Ме остави, вели Господ, отстапи; затоа, ќе ја протегнам Својата рака врз тебе и ќе те погубам; се уморив, за да покажувам милост.
7. Јас ќе ги одвеам со вејачка пред портите на земјата, ќе ги лишам од деца, ќе го сотрам Мојот народ; но тие нема да се вратат од своите патишта.
8. Ќе има кај нив вдовици многу повеќе од морскиот песок; ќе испратам врз нив, врз мајката на младичите, уништувач попладне, ненадејно ќе ги опфати страв и ужас.
9. Ќе изнемогне онаа што лежи, која родила седум, ќе го предава духот; уште во текот на денот ќе зајде сонцето нејзино; таа е смутена и посрамена. И другите од нив ќе ги предадам на меч пред очите на нивните непријатели, вели Господ.
10. 'Тешко мене, мејко моја, зошто ме роди човек, кој се расправа и се кара со целата земја! Никому не сум давал со лихва и мене никој не ми давал, а сите ме проколнуваат.'
11. Годпод рече: крајот ќе ти биде добар, и Јас ќе го присилам непријателот твој да постапува со тебе добро во времето на бедата и за време на жалоста.
12. Може ли железото да скрши северно железо и бакар?
13. Твојот имот и твоите сокровишта ќе ги предадам на разграбување, без цена, заради сите твои гревови, во сите твои предели.
14. И ќе те одведам со непријателите твои во земја, што не ја познаваш; зошто оган се разгоре од Мојот гнев, ќе гори над вас.
15. О Господи! Ти се знаеш; сети се за мене и посети ме, и одмазди се за мене на моите гонители; според Своето долготрпение не погубувај ме; Ти знаеш дека зариди Тебе поднесува поруга.
16. Ги најдов зборовите Твои и ги проголтав; Твоето слово ми беше за радост и веселба на срцето мое; оти името Твое е призивано врз мене, Господи Боже Саваот.
17. Не, на совет со подбивачи и не сум се веселел: под Твојата тешка рака врз мене седев сам, бидејќи Ти ми беше исполнил со негодување.
18. Зошто е толку долготрајна болката моја, и раната моја е толку неизлечива, оти не се подавам ли на лекување? Зар Ти ќе бидеш за мене како лажлив извор, како неверна вода.
19. Затоа, вака рече Господ: ако се обратиш, ќе те поставам пак на нозе и ќе стоиш пред лицето Мое; и, ако извлечеш скапа работа од ништо, ќе бидеш како Мојата уста. Тие сами ќе се свртуваат кон тебе, а ти нема да се обрнуваш кон нив.
20. И за тој народ ќе те направам силен бакарен ѕид; тие ќе војуваат против тебе, но нема да те победат, бидејќи Јас сум со тебе, за да те спасувам и да те избавувам, вели Господ.
21. И ќе те спасам од рацете на лошите и ќе те избавам од рацете на насилниците.

Глава 16

1. И би слово Господово до мене:
2. Немој да се жениш, ниту да имаш синови и керки на ова место.
3. Оти вака вели Господ за синовите и керките, што ке се родат во ова место, и за мајките нивни, што ке ги родат и за татковците нивни, што ке ги добијат во оваа земја:
4. од тешка смрт ке умрат тие и нема да бидат оплакани, ниту погребани; ке бидат како убре земно; со меч и со глад ке бидат истребени, и труповите нивни ке им бидат храна на птиците небески и на ѕверовите земни.
5. Оти така вели Господ: не влегувај во дом на оној, кој тагува и не оди да плачеш и да жалиш со него; оти Јас го одзедов од тој народ Својот мир, милоста и сожалувањето, вели Господ.
6. И ке умрат и големите и малите во таа земја; и нема да бидат погребани, ниту ке бидат оплакувани, ниту некој ке прави рез, а и нема да се стрижат за нив.
7. За оној што е во жалост нема да се прекршува леб за да биде утешен поради умрениот; и нема да му подадат чаша, поради смртта на неговиот татко и неговата мајка.
8. Не влегувај исто така и во кука за веселба, да седиш таму со нив, за да јадеш и да пиеш;
9. оти така вели Господ Саваот, Бог Израилев: еве, Јас ке го прекратам гласот на радоста и гласот на веселбата, глас на младоженецот и глас на невестата во тоа место пред вашите очи и во ваше време.
10. Кога ке им ги кажеш на лу ето сите овие зборови, и тие ке ти речат: 'зошто Господ ја искажа врз нас сега оваа беда, и каква е нашата неправда и кој е нашиот грев, со што згрешивме пред нашиот Господ Бог?' -
11. тогаш речи им: поради тоа што вашите татковци Ме оставија, вели Господ, и тргнаа по други боогви, ним им служеа и им се поклонуваа, а Мене ме оставија, и законот Мој не го пазеа.
12. А вие постапувавте уште полошо од татковците ваши и секој од вас живее според упорството на своето лошо срце, за да не Ме слушате.
13. Поради тоа ке ве исфрлам од оваа земја во земја, која не ја познавете ни вие ниту татковците ваши, и таму ке им служите на други богови дење и ноке; оти Јас нема да покажам милост спрема вас.
14. Затоа, ете, идат дни, вели Господ, кога нема веке да се вели: 'жив е Господ, Кој ги изведе синовите Израилеви од Египетската земја',
15. туку - 'жив е Господ, Кој ги изведе Израилевите синови од северната земја и од сите земји, во кои беше ги прогонил.' Оти ке ги вратам во земјата нивна, што им ја дадов на татковците нивни.
16. Ете, Јас ке пратам многу рибари, вели Господ, и ке ги ловат; а потоа ке пратам многу ловци, и тие ке ги гонат од сите планини и од секој рид и од камени процепи.
17. Зашто очите Мои се врз сите нивни патишта; тие не се сокриени од лицето Мое, и нивната неправда не е сокриене од очите Мои,
18. и ке им платам пред се за нивната неправда и за нивниот двоен грев, оти ја осквернија земјата Моја, со труповите на стрвината своја и со гнасотија го исполнија наследството Мое.
19. Господи, сило моја, крепост моја и прибежиште мое во тажен ден! При тебе ке дојдат народите од земните краишта и ке речат: само лага наследија нашите татковци, суета и она, од кое нема никаква полза.
20. Може ли човек да си направи богови, кои, всушност, не се богови?
21. Затоа, еве, Јас ке ги научам сега, ке им ја покажам Својата рака и силата Своја, па ке познаат, дека името Мое е Господ.

Глава 17

1. Гревот на Јуда е напишан со железно длето, со врв од дијамант е врежано врз плочите на срцето нивно и врз роговите на нивните жртвеници.
2. Та синовите нивни да се секаваат на нивните жртвеници и на нивните светилишта покрај зелените дрвја, на високи ридови.
3. Мојата гора во полето, имотот твој, и сите твои драгоцености ке ги предадам на разграбување, и твоите идолски светилишта - за твоите гревови во сите твои предели.
4. И ти поради себеси ке се лишиш од наследството свое, што ти го бев дал, и ке те пратам во ропство кај твоите непријатели, во земјата, која ти не ја познаваш, заради тоа што вие го разгоревте огнот на Мојот гнев, он ке гори вечно.
5. Така вели Господ: проклет да е оној човек, што се надева на човек и кој телото свое го смета за сила, и чие срце се клони од Господа.
6. Тој ке биде како троскот во пустиња и нема да види кога ке дојде доброто, па ке се насели во топли пустињски места, во неплодна земја и негодна за живеење.
7. Благословен е оној човек, кој се надева на Господа, и кому надежта му е Господ.
8. Затоа што тој ке биде како дрво посадено крај води, што ги пушта корењата свои покрај потокот; тоа не знае кога настанува припек; лисјата му се зелени, и во време на суша не се плаши и не престанува да дава плод.
9. Лукаве е човечкото срце повеке од се и е наполно расипано; кој ке го разбере?
10. Јас, Господ, проникнувам во срцето и ја испитувам утробата, за да му дадам на секого според патот негов и според плодовите на делата негови.
11. Јаребицата лежи врз јајца што не ги снесла: таков е оној, кој со неправда спечалува богатство; тој ке го остави во половината до животот свој и ке стане глуп пред крајот свој.
12. Престолот на славата, возвишен уште од почетокот, е место за нашето осветување.
13. Ти си, Господи, надеж Израилева; сите оние, кои Те оставаат нека се засрамат. 'Кој отстапува од Мене нека биде запишан на земјата, зашто го оставија Господа, изворот на жива вода.'
14. Исцели ме Господи, и исцелен ке бидам; спаси ме, и спасен ке бидам, зашто Ти си моја похвала.
15. Еве, тие ми велат: 'каде е словото Господово? нека дојде!'
16. Јас не брзав да стана пастир при Тебе и не го сакав бедниот ден, Ти го знаеш тоа; што излезе од устата моја, откриено е пред лицето Твое.
17. Не биди страшен за мене, Ти си надеж моја во лош ден.
18. Нека се засрамат гонителите мои, но јас нема да се посрамам; нека затреперат, а јас нема да затреперам; испрати врз нив злочест ден и уништи ги со двојно уништување.
19. Така ми вели Господ: оди и застани пред портите на синовите народни, низ кои влегуваат царевите јудејски и низ кои излегуваат, и пред сите ерусалимски порти,
20. па речи им: цареви јудејски, цела Јудејо и сите ерусалимски жители, вие, кои влегувате низ овие порти, чујте го словото Господово.
21. Вака вели Господ: пазете ги душите свои и не носете товар во саботен ден и не внесувајте го низ портите ерусалимски,
22. и не изнесувајте товар од куките свои и во саботен ден и не вршете никаква работа, но саботниот ден сметајте го за свет ден така, како што сум им заповедал на татковците ваши,
23. кои, пак, не послушаа и не го приклонија увото, туку станаа тврдоглави, за да не слушаат и да не примаат поука.
24. И, ако ме послушате, вели Господ, да не носите товар во саботен ден низ портите на овој град и саботата да ја сметате за света, во тој ден не вршејки никаква работа,
25. тогаш низ портите на овој град ке влегуваат цареви и кнезови, кои ке седат на Давидовиот престол, кои ке се возат во коли и ке јаваат на коњи, тие и кнезовите нивни, Јудејци и ерусалимски жители, тогаш овој град ке биде вечно населен.

26. Па ќе доаат од градовите јудејски, од ерусалимската околина и од земјата на Венијамина, од рамнините, од планините и од југ, и ќе принесуваат сепаленици и жртви, лебен принос, ливан и благодарствени жртви во домот на Господа.
27. Ако, пак, не Ме послушате, за да го сметате саботниот ден како свет и да не носите товар, кога влегувате низ ерусалимските порти во саботен ден, тогаш ќе запалам оган пред портите негови, и тој ќе ги проголта куќите ерусалимски и нема да угасне.

Глава 18

1. Слово Господово што дојде до Јеремија:
2. стани и слези во домот на грнчарот, и таму ке ти ги кажам зборовите Мои.
3. Слегов во домот на грнчарот, а тој ја вршеше својата работа на тркалото.
4. Садот, пак, што го правеше грнчарот од глина, се растури во рацете негови. Но тој одново направи од него друг сад, како што му падна на ум да направи.
5. И би слово Господово до мене:
6. доме Израилев, не можам ли да постапам со вас како овој грнчар, рече Господ. Ете, како што е глината во рацете на грнчарот, тоа сте и вие во рацете Мои, доме Израилев.
7. Понекогаш, велам Јас за некој народ и царство, дека ке го искоренам, ке го згазам и погубам;
8. но, ако тој народ, врз кого сум го изрекол тоа се поврати од лошите свои дела, Јас го одлагам злото, што сум намислил да го направам.
9. А понекогаш велам за некој народ и некое царство дека ке ги подигнам и ке ги зацврстам;
10. но, ако тој народ врши зло пред очите Мои и не го послуша гласот Мој, ке го одменам доброто, со кое сум намислил да го дарувам.
11. Па така, кажи им на лу ето Јудини и на жителите ерусалимски: вака вели Господ - еве, Јас ви подготвувам зло и смислувам нешто против вас; затоа повратете се секој од својот лош пат и исправете ги патиштата свои и постапките свои.
12. Но тие велат: 'Не надевај се; ние ке си живееме како што сакаме и секој од нас ке постапува според упорството на своето лошо срце.'
13. Затоа вака вели Господ: распрашајте се ме у народите, дали чул некој нешто слично? Многу гнасни дела изврши Израилевата девојка.
14. Ги напушта ли ливанскиот снег планинските карпи, и секнуваат ли по други места течните студени води?
15. А Мојот народ Ме остави; кади на суети, се спотакнува на своите патишта, ги остава старите патишта, за да оди по патеки, по непрооден пат,
16. за да ја направи земјата своја ужас, вечен срам, така што секој што ке минува преку неа да се чуди и да мавта со главата.
17. Како источен ветар ке ги распрснам пред непријателот; со грбот, а не со лицето свое ке се свртам кон нив во денот на нивната невоља.
18. А тие рекоа: 'Дојдете да направиме заговор против Јеремија; оти нема да исчезне законот на свештеникот и советот на мудриот и зборот на пророкот, дојдете да го убиеме и да не обрнуваме внимание на неговите зборови.'
19. Послушај ме, Господи, и чуј го гласот на моите противници.
20. Треба ли да се врака зло за добро, а тие ми копаат јама за душата моја. Сети се дека стојам пред лицето Твое, за да зборувам добро за нив, за да го одвратам од нив гневот Твој.
21. И така, предај ги синовите нивни на глад и направи да загинат од меч; жените нивни да немаат деца и да станат вдовици, мажите нивни да умираат, а младичите нивни да бидат убивани во бој.
22. Нека се слуша пискот од куките нивни, кога ненадејно ке испратиш војска; зашто тие копаат јама, за да ме фатат, и тајно поставија замка за нозете мое.
23. Но Ти, Господи, им ги знаеш сите нивни сплетки против Мене, за да ме убијат; не проштевај ги неправдите нивни, и не бриши го гревот нивни, пред лицето Свое; нека попа аат пред Тебе; дејствувај против нив, кога си гневен.

Глава 19

1. Вака рече Господ: оди, купи глинена стомна од кај грнчарот; поведи ги со себе најстарите од народот и свештеничките старешини.
2. Па излези во долината на синовите Еномови, која се нао а пред Источната порта, и објави ги таму зборовите, што ке ти ги кажам,
3. и кажи: цареви јудејски и жители ерусалимски, чујте го словото Господово! Вака вели Господ Саваот, Бог Израилев - еве, Јас ке испратам врз ова место зло, и кој ке чуе за тоа, ке му пиштат ушите,
4. зашто Ме оставија и ту о го направија ова место, па кадат во него на ту и богови, кои не ги познавале ни тие, ниту татковците нивни, а ни јудејските цареви; го исполнија ова место со невина крв,
5. и му подигнаа светилиште на Ваала, за да ги горат синовите свои со оган како сепаленица за Ваала, што Јас не сум ја заповедал, не сум зборувал и што на ум не Ми доа ало.
6. Затоа, еве, идат дни, вели Господ, кога ова место нема веке да се наречува Тофет, односно долина на синовите Еномови, туку долина за убивање.
7. И ке го уништам советот на Јуда и на Ерусалим во ова место и ке дозволам да паднат од меч пред очите на непријателите нивни и од раката на оние, што ја сакаат душата нивна, и турповите нивни ке им ги дадам како храна на птиците небески и на ѕверовите земни.
8. И ке го направам овој град за ужас и поруга; и секој, што ке минува низ него, ке се чуди и ке си потсвирнува, гледајки ги многуте рани негови.
9. И ке ги нахранам со телата на синовите нивни и со телата на керките нивни; и секој ке го јаде телото на својот ближен, кога ке се нао а во опсада и во тесно, кога ке ги притскаат непријателите нивни и оние, што ја сакаат душата нивна.
10. Па скрши ја стомната пред очите на лу ето, што ке дојдат со тебе,
11. и кажи им: вака вели Господ Саваот - така ке го разбијам тој народ и тој град, како што е скршен овој грнчарски сад, кој веке не може да стане цел, и ке ги погребуваат во Тофет, поради немање место за погребување.
12. Така ке постапам со тоа место, вели Господ и со неговите жители; и тој град ке го направам сличен на Тофет.
13. А куките на Ерусалим и куките на царевите јудејски - ке бидат како местото Тофет: нечисти, зашто врз покривите на сите куки кадеа на цалата војска небесна и извршуваа преливи на ту и богови.
14. Тогаш дојде Јеремија до Тофет, каде што го беше испратил Господ да пророкува, и застана во дворот на домот Господен и му рече на сиот народ:
15. вака вели Господ Саваот, Бог Израилев - еве, ке испратам врз овој град и врз сите нивни градови секакво зло, што го изреков против него, бидејки тие се тврдоглави и не ги слушаат зборовите Мои.

Глава 20

1. Кога Пасхор, синот Емеров, свештеник и надзорник во домот Господен, чу дека Јеремија ги изговорил тие пророчки зборови,
2. тој го удри пророкот Јеремија и го затвори во затворот, што беше до горните порти Венијаминови при домот Господен.
3. Но утредента Пасхор го ослободи Јеремија од затворот и Јеремиј му рече: Господ те нарече не Пасхот, туку Магор Мисавив.
4. Оти вака рече Господ: еве, ке те направам ужас за тебе самиот и за сите твои пријатели, и ке паднат во бој од непријателите свои и очите твои ке го видат тоа. И сиот Јуда ке го предадам во рацете на вавилонскиот цар, кој ке го одведе во Вавилон и ке го убие со меч.
5. И ке го прададам сето богатство на тој град, сиот имот негов и сите негови драгоцености; и сите ризници на царевите јудејски ке ги дадам на неговите напријатели, што ке ги разграбаат, ке ги земаат и ке ги однесат во Вавилон.
6. И ти Пасхоре, и сите, што живеат во твојата кука, ке отидете во ропство; ке отидеш во Вавилон, таму ке умреш и таму ке бидеш погребан, та и сите твои пријатели, на кои ти лажно им пророкуваше.
7. Господи, ти ме вовлекуваше, и јас сум вовлечен; Ти си посилен од мене и ме победи, а јас секој ден станувам за потсмев, секојсе шегува со мене.
8. Затоа, што ке почнам да зборувам, зборувам за насилство, зборувам за разорување, бидејки словото Господово стана за мене поруга и секојдневен потсмев.
9. Па се сетив: нема веке да спомнувам за Него, ниту ке зборувам во Негово име; но во срцето како да имам распален оган, затворен во коските мои, и се измачував да го здржам - но не можев.
10. Бидејки слушав шепотење од мнозина, закана - од секаде: кажете, велеа тие, и ние ке го обвиниме. Сите, што живееја со мене во мир, сега ме демнат, нема ли некаде да погрешам: 'можеби, велат, тој ке се улови, и ние ке го победиме и ке му се одмаздиме.'
11. Но со мене е Господ како страшен јунак; затоа моите гонители ке се сопнат и нема да ме победат; многу, многу ке се засрамат, оти постапуваат неразумно; срамот ке биде вечен, нема никогаш да биде заборавен.
12. Господи на силите, Ти го испитуваш праведникот и ја гледаш утробата и срцето негово. Дозволи да ја видам одмаздата Твоја над нив, зашто Тебе Ти го доверив делото свое.
13. Пејте Му на Господа, фалете Го Господа, зашто Он ја спасува душата на бедниот од рацете на злодејците.
14. Проклет да е денот, во кој се родив; денот, во кој ме роди мојата мајка, нека не е благословен!
15. Проклет да е човекот кој ја пренесе веста до татака ми и му рече: 'ти се роди син' и со тоа многу го зарадува.
16. И со тој човек да стане она, што стана со градовите, кои Господ ги разруши и не ги пожали; нека слуша тој пискот наутро и напладне - плач,
17. затоа што не ме уби уште во утробата, така што мајка ми да станеше мој гроб и утробата нејзина да останеше вечно бремена.
18. Зошто излегов од утробата, за да гледам маки и таги и денови мои да минувам во срам?

Глава 21

1. Слово, кое дојде од Господа до Јеремиј, кога царот Седекија го испрати до него Пасхора, синот Молхиев, и свештеникот Софонија, син Маасиев, за да му кажат:
2. 'Прашај Го Господа за нас, зашто вавилонскиот цар Навуходоносор војува против нас; можеби Господ ке направи со нас некое од своите чудеса, за да си отиде тој од нас!'
3. И им рече Јеремиј: ова кажете му го на Седекија -
4. вака вели Господ, Бог Израилев - еве, Јас ке ги свртам назад воените оружја, кои се во вашите раце, со кои се биете со вавилонскиот цар и против Халдејците, што ве опседнуваат наоколу, надвор од ѕидовите и ке ги поразам во средината на градот;
5. и Сам ке војувам против вас со протегната рака и со силна мишка, со гнев и со јарост и со големо негодување;
6. И ке поразам се, што живее во тој град - и лу ето и добитокот; од голем помор ке изумрат тие.
7. А потоа, вели Господ, јудејскиот цар Седекија, слугите негови, народот и сите избавени од помор во тој град, од меч и од глад ке ги предадам во рацете на Навуходоносора, царот вавилонски, во рацете на нивните непријатели и во рацете на оние, што ја бараат душата нивна, и тој ке ги сотре со остар меч и нема да ги поштеди, нема да ги пожали и нема да се смилостиви над нив.
8. Па кажи му на тој народ - вака вели Господ: еве, Јас ви предлагам пат кон живот и пат кон смрт,
9. оној, што ке остане во тој град, ке умре од меч, од глад и од помор, а кој ке излезе и им се предаде на Халдејците, што го опсадуваат, ке биде жив, но душата негова ке биде заробена место него;
10. зашто Јас го свртив лицето Свое против тој град, вели Господ, за зло, а не за добро; тој ке биде предаден во рацете на вавилонскиот цар, и тој ке го изгори со оган.
11. Зборувај и кон домот на јудејскиот цар: чујте го словото Господово -
12. доме Давидов, така вели Господ: судете рано изутрина и избавете го угнетуваниот од рацете на угнетувачот, за да не избувне оган од јароста Моја и да се разгори поради вашите лоши дела, што никој не ке може да го угасне.
13. Еве, Јас сум против тебе, ти што седиш, како на карпа во долината, вели Господ, против вас сум вие кои велите: 'кој ке излезе против нас и кој може да влезе во нашите живеалишта?'
14. Но, Јас ке ве казнам според плодовите на делата ваши, вели Господ, и ке запалам оган во вашата гора; која ке проголта се што постои околу неа.

Глава 22

1. Вака вели Господ: слези во домот на царот Јудин, и речи го таму ова слово,
2. па кажи: чуј го словото Господово, царе јудејски, ти, кој седиш на Давидовиот престол, ти и
твоите слуги и лу ето твои, кои влегуваат низ овие порти.
3. Вака вели Господ: извршувајте суд и правда и спасувајте го угнетуваниот од рацете на
угнетувачот и не притеснувајте го придојдениот, како ни сиракот ни вдовицата, и не
проливајте невина крв на ова место.
4. Оти, ако го исполнувате ова слово, низ портите на овој дом ке влегуваат цареви, што ке
седат место Давида на престолот негов, што ке се возат во коли и ке јаваат на коњи, тие и
слугите нивни и лу ето нивни.
5. Ако, пак, не ги послушате овие зборови, се колнам во Себе, вели Господ дека овој дом ке
запустее.
6. Оти, така вели Господ за домот на јудејскиот цар: ти си за Мене Галад и ливански врв; Јас ке
направам од тебе пустиња, и градовите твои ке станат ненаселени;
7. а ке повикам против тебе истребители, секој со своето оружје - и тие ке ги исечат твоите
најубави кедри и ке ги фрлат во оган.
8. И многу народи ке минуваат низ овој град и ке си прикажуваат еден на друг: 'Зошто така
постапи Господ со овој голем град?'
9. И ке си одговорат - 'затоа, оти тие го оставија заветот на Господа, својот Бог, и се поклонија
на други богови и ним им служеа.'
10. Не плачете за умрениот и не жалете за него; туку горко плачете за оној, што оди во
ропство, оти тој веке нема да се врати и нема да го види својот роден крај.
11. Оти вака вели Господ за Салума, синот на јудејскиот цар Јосија, кој царуваше по татка си
Јосија, и кој излезе од тоа место, тој веке нема да се врати во него,
12. Но ке умре таму, каде што го одведоа како роб, и нема веке да ја види оваа земја.
13. Тешко му на оној, кој гради своја кука со неправда, и свои соби - со беззаконие, кој го
присилува ближниот свој да му работи без награда и не му дава плата,
14. кој вели - ке си направам голема кука и широки одделенија, и кој отвора прозорци, ги
обложува со кедар и ги бојадисува со црвена боја.
15. Мислиш ли да стенеш цар, откако си се оградил со кедар? Татко ти јадеше и пиеше, но
вршеше суд и правда, па затоа му беше добро.
16. Тој го разгледуваше делото на беден и на сиромав, и затоа му беше добро. Зар не значи
тоа, дека ти Ме познаваш? - вели Господ.
17. Но твоите очи и твоето срце се свртени само кон корист за себеси и кон проливање невина
крв, за да притеснуваш и присилуваш.
18. Затоа, вака вели Господ за Јоакима, синот на јудејскиот цар Јосија: нема да го оплакуваат -
'о брате!' и 'о сестро!', нема да го оплакуваат: 'о господаре!' и 'о негово величие!'
19. Како осел тој ке биде погребен; ке го изнесат и ке го фрлат далеку од ерусалимските
порти.
20. Качи се на Ливан и извикај, подигни го гласот свој на Васан и викни од Аварин, зашто
погубени се сите твои пријатели.
21. Јас ти зборував, кога ти беше добро, но ти рече: нема да послушам. Такво беше твоето
поведение уште од младоста, дека ти не го слушаше гласот Мој.
22. Сите твои пастири ветар ке ги одвее, а пријателите твои во ропство ке отидат и тогаш ти
ке бидеш посрамен и нажален за сите твои злодела.
23. Ти, кој живееше на Ливан и си свил гнездо во кедрите, колку ли ке офкаш, кога ке те
постигнат болки, како на жена која ра а!
24. Жив сум Јас, вели Господ: да ми беше јудејскиот цар Јехониј, синот на Јоакома, прстен на
десната рака Моја, и оттаму ке те откинам,
25. и ке те предадам во рацете на оние, кои ја бараат душата твоја, и во рацете на оние, од

кои се плашиш, во рацете на вавилонскиот цар Навуходоносор и во рацете на Халдејците.
26. Па ќе те исфрлам тебе и твојата мајка, коа те родила, во ту а земја, каде што не сте се родиле, а таму ќе умрете.
27. А во земјата, каде што душата нивна сака да се врати, таму нема да се вратат.
28. 'Зар тој човек, Јехониј, презрено суштество, е отфрлен и негоден сад, бидејќи тој и племето негово беа фрлени во земја што не ја познавале?'
29. О, земој, земјо, земјо, чуј го словото Господово!
30. Така вели Господ, запишете го овој човек како лишен од деца, како човек со злочести дни, зашто никој од племето негово веќе нема да седи на престолот Давидов и нема да владее во Јудеја.

Глава 23

1. Тешко им на пастирите, што ги погубубаат и растураат овците на Моето стадо, вели Господ.
2. Затоа вака вели Господ, Бог Израилев, кон пастирите, кои го пасат народот Мој: вие ги
растуривте овците Мои, ги упропастивте и не се грижите за нив; еве, Јас ке ве казнам за
вашите лоши дела, вели Господ.
3. И ке го соберам остатокот од Моето стадо, од сите земји каде што ги бев изгонил, и ке ги
вратам во трлата нивни, па ке се плодат и ке се размнжуваат.
4. И ке поставам над нив пастири, што ке ги пасат, и тие нема веке да се бојат, ниту ке се
плашат и нема да се губат, вели Господ.
5. Еве, настапуваат дни, вели Господ, и ке му издигнам на Давида фиданка, и ке се зацари
Цар, Кој ке постапува мудро и ке суди праведно на земјата.
6. Во дните Негови Јуда ке се спаси, и Израилот ке живее безопасно; и еве, - Неговото име со
кое ке го именуваат е 'Господ - наше оправдание!'
7. Затоа, еве, идат дните, вели Господ, кога веке нема да се зборува: 'жив Господ, Кој ги
изведе синовите Израилеви од земјата Египетска',
8. туку 'да е жив Господ, Кој го изведе и Кој го доведе племето на домот Израилев од
северната земја и од сите земји, каде што ги беше изгонил', и тие ке живеат во земјата своја.
9. Поради пророците срцето ми се кине во мене, сите коски ми се тресат, јас сум како пијан,
како човек што го фатило виното, заради Господа и заради Неговите свети зборови,
10. зашто земјата се наполни со прељубници, и земјата плаче поради проклеството; се
исушиле пасиштата по пустињите, зашто стремежот им е зло, а силата нивна - неправда;
11. бидејки и пророкот и свештеникот се лицемерни: дури и во домот Мој го забележав
бесчестието нивно, вели Господ.
12. Затоа патот нивни ке биде лизгаво место во темнината - ке ги туркаат и тие ке па аат таму;
оти Јас ке испратам вз нив беда во годината, кога ке ги посетам, вели Господ.
13. А кај пророците во Самарија видов безумние, тие пророкуваат во името на Ваала и во
воведуваат во заблуда народот Мој, Израилот.
14. А кај пророците во Ерусалим гледам нешто страшно: тие прељубодејствуваат и одат во
лага, ги поткрепуваат рацете на злодејците, та никој од нив да не се откаже од бесчестието
свое; сите тие се пред Мене како Содом, а жителите негови - како Гомор.
15. Затоа вака вели Господ Саваот за пророците: еве, ке ги нахранам со пелин и ке ги напојам
со жолчна вода, заради тоа што од ерусалимските пророци се разнесе осквернување по целата
земја.
16. Така вели Господ Саваот: немојте да ги слушате зборовите на пророците, кои ви
пророкуваат - тие ве лажат, кажуваат измислени работи од срцето свое, е не она што доа а од
устата Господова.
17. Тие постаојано им зборуваат на оние, кои не Ме почитуваат: 'Господ рече, мир ке имате.' И
на секого кој се управува според тврдокорноста на срцето свое, велат: 'зло нема да ве снајде.'
18. Зашто, кој е тој што стоел во советот на Господа, па видел и го чул словото Негово? Кој
внимавал на Неговото слово и кој го чул тоа?
19. Еве, иде бурата Господова со јарост, бура страшна, и ке се свие врз главата на
безбождниците.
20. Гневот Господов нема да се одврати се додека Он не ги изврши и додека не ги исполни
замислите на Своето срце; во последните дни тоа наполно ке го разберете.
21. Јас не ги пракам тие пророци, а самите се беа растрчале; Јас не им зборував, а тие
пророкуваа.
22. Да беа стоеле во советот Мој, тие ке ги објавеа на Мојот народ зборовите Мои и ке ги
отклонеа од нивниот лош пат и од нивните лоши дела.
23. Зар Јас сум Бог, кој само одблизу зборувам, вели Господ, а не Бог и од далеку?
24. Може ли чове да се сокрие на место тајно, каде што Јас не би го видел? - вели Господ. Зар

не го исполнувам Јас небото и земјата - вели Господ.
25. Јас слушав што зборуваат пророците, кои во името Мое пророкуваат лага. Тие велат: 'ми се сони, ми се сони.'
26. Долго ли ке трае тоа во срцето на пророците, кои пророкуваат лага, кои пророкуваат измама од срцата свои?
27. Мислат ли тие дека преку своите соништа, што си ги раскажуваат еден на друг, да го доведат Мојот народ дотаму што да го заборави името Мое, како што го заборавија татковците нивни името Мое заради Ваала?
28. Пророкот што видел сон, нека го раскаже како сон, а во кого е словото Мое, нека го каже вено словото Мое. Што заедничко има плевата со пченицата, вели Господ.
29. Зар не е Моето слово како оган, вели Господ, и не е ли како чекан што крши карпа?
30. Затоа, еве, Јас сум против пророците, вели Гсопод, кои ги крадат зборовите Мои еден од друг.
31. Еве, Јас сум против пророците, вели Господ, кои го креваат својот јазик и велат: 'Он рече.'
32. Еве, Јас сум против пророците на лажни соништа, вели Господ кои ги кажуваат и преку своите измами и итрини го заблудуваат, Мојот народ, кога Јас не сум ги пратил, ниту сум им заповедал; затоа тие не донесуваат никаква полза за тој народ, вели Господ.
33. Ако те праша тој народ, или пророк, или свештеник: какво е бремето од Господа? а ти кажи му - 'вие сте бреме. Јас ке ве напуштам,' вели Господ.
34. Ако пророкот, или свештеникот, или народот каже: 'тоа е бреме од Господа', Јас ке го казнам тој човек и домот негов.
35. Туку вака велите еден на друг и брат брату: 'што одговори Господ?' или - 'што вели Господ?'
36. А тој збор: 'бреме од Господа', не употребувајте го во иднина, зашто на таков човек бреме ке му биде неговиот збор, бидејки вие ги изопачувате зборовите на живиот Бог, Господа Саваота, нашиот Бог.
37. Вака вели му на пророк: 'што ти одговори Господ?' или - 'што рече Господ?'
38. Ако пак се уште велите: 'бреме од Господа', тоа така вели Господ, поради тој збор што го кажувате - 'бреме од Господа', кога пак, Јас ве пратив да велите: не говорете - 'бреме од Господа',
39. еве затоа ке ве заборавам наполно, ке ве оставам и ке го отфрлам од лицето Свое овој град, кој ви го дадов вам и на татковците ваши.
40. И врз вас ке испратам вечна поруга и вечен срам, кој нема да се заборави.

Глава 24

1. Господ ми покажа: и, еве, две кошници со смокви, поставени пред храмот Господен, откако вавилонскиот цар Навуходоносор го изведе од Ерусалим заробениот јудејски цар Јехониј, синот Јоакимов, и јудејските кнезови со дрводелците и ковачите и ги одведе во Вавилон;
2. едната кошница беше полна со многу добри смокви, какви што се раните смокви, а втората кошница - со смокви, многу лоши, кои поради лошиот вкус не можеа да се се јадат.
3. И ме праша Господ: што гледаш, Јеремиј? - Јас одговорив; убавите смокви се многу добро, а лошите - многу лоши, така што не можат да се јадат, оти не се вкусни воопшто.
4. И би слово Господово до мене:
5. вака вели Господ, Бог Израилев - како овие добри смокви Јас ке ги препознаам добрите преселници јудејски, што ги испратив од ова место во земјата Халдејска.
6. И ке ги свртам кон нив очите Мои за нивно добро и ке ги вратам во оваа земја, и ке ги подигнам, нема да ги сосипам, и ке ги посадам, а не да ги искоренам;
7. и ке им дадам срце, за да Ме познаваат, дека Јас сум Господ, и тие ке бидат Мој народ. Јас пак ке им бидам нивни Бог, оти тие ке се обрнат кон Мене од се срце.
8. А за лошите смокви, кои не можат да се јадат поради нивниот вкус, така вели Господ: такви ке ги направам јудејскиот цар Седекија и кнезовите негови, и другите ерусалимци, што ке останат во оваа земја и што ке живеат во Египетската земја;
9. и ке ги предадам на зло и тешко страдање во сите земни царства, за поруга и за приказ, за потсмев и за проклетство по сите места, каде што ке ги растурам.
10. Па ке испратам врз нив меч, глад и помор, додека не ги истребам од земјата, која им ја дадов ним и на татковците нивни.

Глава 25

1. Слово што дојде до Јеремија за сиот јудејски народ, во четвртата година на јудејскиот цар Јоакима, синот Јосиев. Тоа беше првата година на вавилонскиот цар Навуходоносор,
2. кои пророкот Јеремија го изрече пред сиот јудејски народ и пред сите ерусалимски жители, велејки:
3. од тринаесеттата година на јудејскиот цар Јосија, синот Амонов, па до денес, ете веке дваесет и три години, доа а до мене слово Господово, и јас од рано утро ви зборував, но вие не послушавте.
4. Господ ги пракаше при вас сите Свои слуги - пророците, од рано утро ги испракаше, и вие не послушавте и не го наклонивте увото свое за да слушате.
5. Вам ви велеа: 'отклонете се секој од својот лош пат и од своите лоши дела и живејте во земјата, која Господ ви ја даде вам и на вашите татковци од векот довека;
6. и не одете по други богови, за да им служите и да им се клањате, и немојте да Ме разгневувате со делата на рацете свои, па нема да ви направам зло.'
7. Но вие не Ме послушавте, вели Господ, и ме разгневувате со делата на рацете свои, за свое зло.
8. Затоа, така вели Господ Саваот: поради тоа што не ги послушавте зборовите Мои,
9. еве, Јас ке пратам и ке ги земам сите северни племиња, вели Господ, и ке испратам до вавилонскиот цар Навуходоносор, Мојот слуга, и ке ги доведам против оваа земја и против жителите нејзини и против сите соседни народи; и наполно ке ги истребам и ке ги направам за ужас, за потсмев и за вечна пустош.
10. И ке ги прекратам во нив гласот на радост и гласот на веселба, гласот на младоженец и гласот на невеста, звукот од веденичен камен и светлината од светило.
11. И целата таа земја ке стане пустиња и ужас; и тие народи ке му служат на вавилонскиот цар седумдесет години.
12. А кога ке се исполнат седумдесетте години, ке го казнам вавилонскиот цар и оној народ, вели Господ, за нивното бесчестие, и земајта Халдејска ке ја направам вечна пустиња.
13. И ке ги исполнам над таа земја сите Мои збовори, што ги реков против неа, се што е напишано во оваа книга, што Јеремиј пророчки го кажа против тие народи.
14. Оти и нив ке ги поробат многубројните народи и големи цареви. И Јас ке им платам според нивните постапки и според делата на рацете нивни.
15. Зашто така ми рече Господ, Бог Израилев: земи ја од раката Моја оваа чаша со вино од јарост и напој ги од неа сите народи, при кои ке те пратам.
16. И тие нека пијат, и нека се смутат и избезумат, кога ке видат меч, што ке го пратам против нив.
17. Ја зедов чашата од раката Господова и ги напоив од неа сите народи, при кои Господ ме прати:
18. Ерусалим и градовите јудејски, и царевите негови, и кнезовите негови, за да ги опустошам и направам ужас, потсмев и проклетство, како што се гледа сега;
19. Фараонот, египетскиот цар, слугите негови, кнезовите негови и сиот народ негов;
20. сиот измешан народ, и сите цареви на земјата Уц, и сите цареви на земјата Филистејска, Аскалон и Газа, Екрон и другите делови на Азот,
21. Едом, Моав и Амоновите синови,
22. сите цареви на Тир и сите цареви на Сидон, царевите над островите, што се нао аат отаде морето,
23. Дедана, Тема, Буза и сите што ги потстрижуваат зулуфите свои,
24. сите цареви на Арабија и сите цареви на народите од разни племиња, кои живеат во пустињата,
25. сите цареви на Зимврија и сите цареви на Елам, сите цареви на Мидија,
26. сите цареви на север, што се блиски еден до друг, а и далечни, и сите земни царства што

постојат на земјата, а царот на Сесах ќе пие по нив.
27. Па кажи им: вака вели Господ Саваот, Бог Израилев - пијте и опијте се, повраќајте и паднете, и не станувајте, кога ќе го видите мечот, што ќе го испратам против вас.
28. Ако се откажат, пак, да пијат од чашата од раката твоја, тогаш кажи им: вака вели Господ Саваот - морате да пиете.
29. Оти, еве, на овој град, над кој се призива името Мое, почнувам да му нанесувам зло; па зар вие ќе останете неказнети? Не, нема да останете неказнети; бидејќи Јас повикувам меч против сите, што живеат на земјата, вели Господ Саваот.
30. Затоа пророкувај им ги сите овие зборови и кажи им: Господ ќе загрми од висините и од своето свето живеалиште; ќе издигне глас, ќе загрми страшно против својот насад; како оние што гмечат грозје, ќе извика против сите, што живеат по земјата.
31. Шумот ќе се протегне од сите краишта земни, бидејќи Господ им суди на сите народи: Он ќе му суди на секое тело, а нечесните ќе ги предаде на меч, вели Господ.
32. Така вели Господ Саваот - ете, злото ќе мине од народ кон народ, и голем виор ќе се подигне од краиштата земни.
33. А во оној ден ќе има поразени од Господа од едниот крај на земјата до другиот; тие нема да бидат оплакани, ни прибрани ниту погребани, туку ќе бидат како убре по земјата.
34. Плачете пастири, и офкајте, посипете се со пепел, водачи на стадото; зашто се исполнија деновите ваши, за да бидете заклани и расфрлани, па ќе паднете како скапоцен сад.
35. и не ќе има прибежиште за пастирите и спас - за водачите на стадото.
36. Ќе се слуша пискот од пастирите и плач од водачите на стадото, бидејќи Господ ќе ги опустоши пасиштата нивни.
37. Јароста на гневот Господен ќе ги истреби мирните трла.
38. Како лав го остави живеалиштето Свое; а земјата им стана пустиња од јароста на опустошителот и од Неговиот пламенен глев.

Глава 26

1. Во почетокот од царувањето на јудејскиот цар Јоаким, син Јосиев, дојде ова слово од Господа -
2. вака вели Господ: застани во дворот на домот Господен и кажи им на сите градови во Јудеја, кои доа аат да се поклонат во домот Господен, сите оние зброви што ке ти заповедам да им ги кажеш; ниеден збор да не пропуштиш.
3. Можеби, тие ке те послушаат и ке се отклонат секој од својот лош пат, па тогаш Јас ке го одменам злото, што сум намислил да им го направам за нивните лоши работи.
4. И речи им - вака вели Господ: ако не Ме послушате, и не одите по Мојот закон, што ви го дадов,
5. и не ги примате зборовите на Моите слуги, пророците, кои ги пракам при вас, а ги пракам од рано утро, и кои вие не ги слушате -
6. тогаш со овој дом ке го направам исто она, што со Силом, и овој град ке го предадам на проклетство на сите земни народи.
7. Свештениците и пророците и сиот народ го слушаа Јеремија, кога ги зборуваше овие зборови во домот Господен.
8. А кога Јеремија кажа се, што му беше заповедал Господ да му каже на сиот народ, тогаш свештениците и пророците и сиот народ го фатија и рекоа: 'заслужуваш смрт,
9. оти пророкуваш во името на Господа и велиш - овој дом ке стане како Силом и овој град ке запустее и ке остане без жители?' И сиот народ се собра околу Јеремија во домот Господен.
10. Кога го чуја тоа кнезовите јудејски, дојдоа од царскиот дом, во домот Господен и седнаа пред влезот на новите порти на домот Господен.
11. Тогаш свештениците и пророците вака им рекоа на кнезовите и на сиот народ: 'Овој човек заслужува смрт, затоа што пророкува против овој град; а тоа го чувте со ушите свои!'
12. И им рече Јеремија на сите кнезови и на сиот народ: 'Господ ме прати да пророкувам против овој дом и против овој град со сите зборови, што ги чувте;
13. па така, исправете ги патиштата и делата ваши и послушајте го гласот на Господа, вашиот Бог, и Господ ке го одмени злото, што го изрече против вас.
14. А што се однесува до мене, еве, јас сум во ваши раце; правете со мене, што сметате дека е добро и право;
15. само знајте добро, дека, ако ме убиете, ке земете невина крв врз себе и врз овој град и врз жителите негови, оти навистина, Господ ме прати при вас да ви ги кажам на ушите ваши сите овие зборови.'
16. Тогаш кнезовите и сиот народ им рекоа на свештениците и на пророците - овој човек не потпа а под смртна пресуда, затоа што тој ни зборува во името на Господа, нашиот Бог.
17. И некои од старешините месни станаа и му зборуваа на целото собрание:
18. 'Михеј од Мораст пророкуваше во деновите на јудејскиот цар Езекија и му зборуваше на сиот јудејски народ: вака вели Господ Саваот - Сион ке биде разорен како нива, и Ерусалим ке стане куп урнатини, и горага на овој дом како шумовит рид.
19. Па зар го уби заради тоа јудејскиот цар Езекиј и цела Јудеја? Па зар не се уплаши тој од Господа и зар не го замоли Господа, и Господ го одмени злото, што беше го изрекол против нив; а треба ли ние сега да навлечеме такво големо зло врз душите свои?
20. Пророкуваше во името на Господа и некој Урij, синот на Семаја, од Киријат - Јарим, и тој пророкуваше против овој град и против оваа земја со истите зборови, како сега Јеремиј.
21. Кога ги чу тие зборови, царот Јоаким и сите негови големодостојници, и сите кнезови, побара да го убијат. А кога го разбра тоа, Урij се уплаши и побегна, па отиде во Египет.
22. Но царот Јоаким испрати по него лу е и во Египет: Елнатана, синот Ахборов, и неко други со него.
23. И го изведоа Урија од Египет, па го доведоа при царот Јоакима, и тој го уби со меч, а трупот негов го фрли кај гробиштата на обичните лу е.'

24. Но раката на Ахикама, синот Сафанов, беше покрај Јеремија и не го даде во рацете на народот, за да биде убиен.

Глава 27

1. Во почетокот од царувањето на јудејскиот цар Јоакима, син Јосиев, би слово Господово до Јеремија.
2. Вака ми рече Господ: направи си јажиња и јарем, па стави ги околу вратот.
3. И прати исто такви до идумејскиот цар, до моавскиот цар, до царот на синовите Амонови, до тирскиот цар и до царот на Сидон, по пратеници, што дошле во Ерусалим кај јудејскиот цар Седекија,
4. и порачај им да им кажат на господарите свои - вака вели Господ Саваот, Бог Израилев - кажете им го ова на вашите господари:
5. ја создадов земјата, човекот и животните, што се по земјината топка, со големата своја сила и со Својата крената мишка, па му ја давам на оној, кому сакам.
6. А, еве, сега, сите тие земји ги предавам во раката на вавилонскиот цар Навуходоносор, Мојот слуга, дури и ѕверовите полски му ги предава, за да му служат.
7. И сите народи ке му служат нему и на синот негов, и на внукот негов, се додека дојде времето на земјата негова и на него самиот, и ке му служат многу народи и големи цареви.
8. А, ако некој народ и некое царство не ке сака да му служи на вавилонскиот цар Навуходоносора и нема да го свитка вратот под јаремот на вавилонскиот цар, тој народ Јас ке го казнам со меч, со глад и со помор, вели Господ, додека не го истребам преку раката негова.
9. А вие не слушајте ги вашите пророци и башите бајачи, вашите јасновидци, вашите ма епсници и вашите вражачи, кои ви велат: 'Нема да му служите на вавилонскиот цар.'
10. Затоа што тие ви пророкуваат лага, за да ве оддалечат од земјата ваша, па Јас да ве изгонам и вие да загинете.
11. А оној народ, што ке го подведе вратот свој под јаремот на вавилонскиот цар и ке му служи, ке го оставам во неговата земја, вели Господ, и тој ке си ја обработува и ке живее во неа.
12. И на јудејскиот цар Седекија Јас му ги кажав истите зборови, велејки: наведнете го вратот под јаремот на вавилонскиот цар и служете му нему и на народот негов, па ке бидете живи.
13. Зошто да умреш ти и народот твој од меч, од глад и од помор, како што вели Господ за овој народ, што не сака да му служи на вавилонскиот цар?
14. И немојте да ги слушате зборовите на пророците, кои ви велат: 'нема да му служите на вавилонскиот цар', зашто тие ви пророкуваат лага.
15. Јас не сум ги пратил, вели Господ; и тие лажно пророкуваат во Мое име, за да ве изгонам и да загинете, вие и пророците ваши, кои ви пророкуваат.
16. Им зборував и на свештениците и на сиот овој народ - вака вели Господ: не слушајте ги зборовите на вашите пророци кои ви пророкуваат и велат: 'еве, наскоро ке бидат вратени од Вавилон садовите на домот Господен', бидејки тие ви пророкуваат лага.
17. Не слушајте ги, туку служете му на вавилонскиот цар и живејте; зошто да го доведете овој град до запустување?
18. Ако се, пак, тие пророци, и ако во нив има слово Господово, нека се молат пред Господа Саваота, па садовите што станале во домот Господен, во домот на јудејскиот цар и во Ерусалим, и да не се однесат во Вавилон.
19. Оти вака вели Господ Саваот: за столбовите и за морето, и за подножјата како и за другите работи, што останаа во овој град,
20. а кои вавилонскиот цар Навуходоносор не ги зеде, кога го одведе во ропство јудејскиот цар Јехонија, синот Јоакимов, царот јудејски од Ерусалим и сите старешини во Вавилон,
21. зашто вака вели Господ Саваот, Бог Израилев, за садовите што останаа во домот Господен, во домот на јудејскиот цар и во Ерусалим:
22. тие ке бидат однесени во Вавилон и таму ке останат, се додека ве посетам, вели Господ, и ве изведам и ве вратам во ова место.

Глава 28

1. Во истата година, во почетокот на царувањето на јудејскиот цар Седекиј, во четвртата година, во петтиот месец, Ананија, синот Азуров, пророк од Гаваон, зборуваше во домот Господен пред свештениците и сиот народ, велејки:
2. - вака вели Господ Саваот, Бог Израилев: ке го скршам јаремот на вавилонскиот цар;
3. па две години ке ги вратам во ова место сите садови од домот Господен, кои вавилонскиот цар Навуходоносор ги зеде одовде и ги однесе во Вавилон.
4. и јудејскиот цар Јехонија, синот Јоакимов, и сите заробени Јудејци, што отидоа во Вавилон, ке ги вратам на ова место, вели Господ; бидејки ке го скршам јаремот на вавилонскиот цар.
5. И му рече пророкот Јеремија на пророкот Ананија пред сите свештеници и пред сиот народ, што стоеше во домот Господен,
6. па кажа пророкот Јеремија: нека биде така, нека го изврши тоа Господ, нека ги исполни Господ зборовите твои што ги изрече за вракањето од Вавилон, на садовите од домот Господен на ова место, и за сите заробени!
7. Само чуј го зборот што ке ти го кажам, чуј го ти, а нека го чуе и сиот народ;
8. пророрците, што беа пред мене и пред тебе, им претскажуваа на многу земји и на големи царства - војна, беда и помор.
9. Ако некој пророк претскажал мир, само тогаш тој бил признаван за пророк, навистина испратен од Господа, кога ке се исполни зборот на тој пророк.
10. Тогаш пророкот Ананија го зеде јаремот од вратот на пророкот Јеремија и го скрши.
11. И рече Ананија пред сиот народ: 'вака вели Господ - ете, така ке го строшам јаремот на вавилонскиор цар Навуходоносора по две години, откако ке го извадам од вратот на сите народ. Тогаш си отиде Јеремија по својот пат.
12. И би слово Господово до Јеремија, откако пророкот Ананија го скрши јаремот од вратот на пророкот Јеремија:
13. оди и кажи му на Ананија - вака вели Господ: ти го скиши дрвениот јарем, но место него направи железен.
14. Зашто така вели Господ Саваот, Бог Израилев: железен јарем ке им ставам на вратот на сите овие народи за да му работат на вавилонскиот цар Навуходоносора, и тие ке му служат; дури и ѕверовите полски нему му ги предадов.
15. Па му рече пророкот Јеремија на пророкот Ананија: слушај, Ананија, Господ не те пратил, а ти лажна надеж му даваш на овој народ.
16. Затоа, вака вели Господ: еве, Јас ке те исфрлам од лицето на земјата; уште во текот на оваа година ке умреш, бидејки зборуваш против Господа.
17. И умре пророкот Ананија во таа година во седмиот месец.

Глава 29

1. Еве ги зборовите од писмото, кое пророкот Јеремија го испрати од Ерусалим до другите
старешини ме у преселените, до свештениците, до пророците и до сиот народ, кој
Навуходоносор беше го одвел од Ерусалим во Вавилон,
2. откако беа излегле од Ерусалим царот Јехонија, царицата, дворјаните, кнезовите на Јудеа и
на Ерусалим, дрводелците и ковачите,
3. преку Елеаса, синот Сафанов, и преку Гамарија, синот Хелкиев, кои јудејскиот цар Седекија
ги испрати во Вавилон до вавилонскиот цар Навуходоносора,
4. - вака вели Господ Саваот, Бог Израилев, до сите заробени, кои Јас ги преселив од Ерусалим
во Вавилон -
5. правете куки и живејте во нив, садете градини и јадете ги плодовите нивни;
6. женете се и ра ајте синови и керки; и на синовите земајте им жени и керки и мажете ги, за
да ра аат синови и керки, па размножувајте се таму, а не да се намалувате.
7. Грижете се за доброто на градот, во кој ве преселив, и молете Му се на Бога за него; оти,
ако му е нему добро, и вие ке имате мир.
8. Зашто така вели Господ Саваот, Бог Израилев: нека не ве мамат вашите пророци, кои се ме
у вас и вашите бајачи; и не верувајте им на соништата што ги сонувате.
9. Лажно во пророкуваат во Мое име; Јас не сум ги пратил, вели Господ.
10. Бидејки така вели Господ - кога во Вавилон ке исполните седумдесет години, тогаш ке ве
посетам и ке го исполнам Мојот добар збор за вас, за да ве вратам на ова место.
11. Оти само Јас ги знам замислите, што сум ги смислил за вас, вели Господ, замислите за
добро, а не за зло, за да ви дадам иднина и надеж.
12. Па ке повикате по Мене, ке пројдете и ке Ме замолите, и Јас ке ве чујам;
13. ке Ме побарате, и ке Ме најдете, ако Ме побарате од се срце.
14. Ке Ме најдете, вели Господ, и ке ве вратам од ропство и ке ве соберам од кај сите народи и
од сите мсета, каде што ве изгонив, вели Господ, и ке ве вратам онаму, од каде што ве
преселив.
15. Вие велите: 'Господ ни издигна пророци и во Вавилон.'
16. Така вели Господ за царот, кој седи на Давидовиот престол, и за сиот народ, што живее во
тој град; за браката ваши, што не се одведени со вас во ропство.
17. Вака вели Господ Саваот за нив - еве, ке испратам врз нив, меч, глад и помор и ке ги
направам како лошите смокви, што не можат да се јадат поради негодниот вкус;
18. и ке ги гонам со меч, глад и помор и ке ги предадам на зло кај сите земни царства, за
проклетство и ужас, за потсмев и навреда ме у сите народи, каде што ке ги оттерам,
19. поради тоа што не ги слушаа зборовите Мои, вели Господ, што ги пракав до нив преку
слугите Мои, пророците, ги пракав од рано утро, но не послушавте, вели Господ.
20. А вие, сите преселиен, што ве пратив од Ерусалим во Вавилон, чујте го словото Господово:
21. вака вели Господ Саваот, Бог Израилев, за Ахава, синот на Колија, и за Седекија, синот на
Масеа, кои во пророкуваат лага во Мое име: еве, Јас ке ги предадам во рацете на вавилонскиот
цар Навуходоносора, и тој ке ги убие пред очите ваши.
22. И сите преселени Јудејци, кои се во Вавилон, ке се научат од нив да колнат: 'Да ти направи
Господ, како што им направи на Седекија и на Ахава, кои вавилонскиот цар ги изгоре на оган,'
23. поради тоа што вршеа гнасни работи во Израилот: прељубодејствуваа со жените на
ближните свои и во Мое има кажуваа лага, што не сум им заповедал; Јас го знам тоа и Сам сум
сведок, вели Господ.
24. И на Семаја од Елам речи му:
25. вака вели Господ Саваот, Бог Израилев: поради тоа што во свое име пракаше писма до сиот
народ во Ерусалим и до свештеникот Софонија, син Масејев, и до сите свештеници, велејки:
26. Господ те поставил за свештеник место свештеникот Јодај, за да бидеш ме у надзорниците
во домот Господен, та секој што беснее и пророкува, да го затвориш и да го ставиш во клада.

27. Зошто не му забраниш на Јеремија од Анатот да пророкува кај вас?
28. Заради тоа и до нас во Вавилон испрати да кажат: 'ропството ке трае долго - правете куки и живејте во нив, обработувајте ги градините и јадете ги плодовите нивни.'
29. Кога свештеникој Софониј го прочите тоа писмо на глас пред пророкот Јеремиј,
30. тогаш би слово Господово до Јеремија:
31. Испрати, па кажи им на сите преселени - вака вели Господ за Семаја од Елам - бидејки Семаја пророкува кај вас, а Јас не сум го пратил, и ви кажува лажна надеж,
32. затоа, вака вели Господ: еве, ке го казнам Семаја од Елам и племето негово; ке нема од него човек да живее ме у овој народ и нема да го види доброто, што ке му го направам на Мојот народ, вели Господ - оти тој зборува против Господа.

Глава 30

1. Слово Господово што дојде до Јеремија -
2. вака вели Господ, Бог Израилев: запиши го во книга сите зборови, што ти ги кажав.
3. Оти, еве, идат дни, вели Господ, кога ке го вратам од ропство Мојот народ, Израилот и Јуда, вели Господ; и повторно ке ги доведам во земјата, која им ја дадов на татковците нивни, и тие ке ја владеат.
4. А еве ги зборовите, што ги изрече Господ за Израилот и за Јуда.
5. Вака вели Господ: глас од смут и ужас слушаме ние, а не мир.
6. Прашајте и размислете: ра а ли маж? А зошто гледам при секој човек рацете да му се на бедрата како при жена, кога ра а, и лицата на сите да им се бледи?
7. О, тешко, голем е оној ден, нема сличен на него; тоа е мачно време за Јакова, но тој ке биде избавен од него.
8. И во оној ден, вели Господ Саваот, ке го здробам јаремот негов, што му е околу вратот, и твоите окови ке ги раскинам; па повеке нема да служи на ту инци,
9. туку ке Му служите на својот Господ Бог и на царот свој Давида, кого што ке им го издигнам.
10. И ти, слуго мој Јакове, не бој се, вели Господ, и не плаши се, Израилу, оти еве, Јас ке те избавам тебе од земјата далечна и племето твое - од земјата на ропството; па ке се врати Јаков и ке живее спокојно и мирно и нема никој да го заплашува,
11. оти Јас сум со тебе, вели Господ, за да те избавувам: Јас наполно ке ги истребам сите народи, ме у кои те прогонив, но тебе нема да те истребам; ке те казнам по мерка, но неказнет нема да те оставам.
12. Оти така вели Господ: твојата рана не е излечива, болката ти е жестока;
13. никој не се грижи за твоето дело, за да ти ја излекува раната твоја; за тебе лек нема;
14. сите пријатели твои те заборавија, не те бараат, бидејки Јас те удрив со непријателски удари, со жестока казна за многуте твои беззаконија, бидејки гревовите твои се намножија.
15. Зошто викаш поради раните свои, од лутина на твојата болест? За многуте твои беззаконија ти го направив тоа, оти гревовите твои се намножија.
16. Но сите, што те голтаат, ке бидат проголтани; и сите твои непријатели - ке појдат во ропство, и твоите опустошители ке бидат опустошени, и сите твои грабачи ке ги предадам на грабеж.
17. Ке ги обложам и ке ги излекувам твоите рани, вели Господ. Тебе те нарекуваа отфрлен, велејки: 'еве го Сион, за кого никој не прашува.'
18. Така вели Господ: еве, ке ги вратам заробените од шаторите на Јакова и ке се смилувам на нивните живеалишта, и градот пак ке биде изграден на својот рид, а и храмот ке биде обновен, како што си беше.
19. И ке се крене од нив благодарност и глас на весели лу е; и Јас ке ги размножам, и нема да се намалуваат, па ке ги прославам, и нема да бидат понизени.
20. И синовите негови ке бидат како порано, и собранието негово ке стои пред Мене, а ке ги казнам сите негови насилници.
21. И ке излезе од него водач, и владетел негов ке произлезе од него; и Јас ке го привлечам, па ке доје при Мене; оти кој е тој што сам од себе пристапува до Мене? - вели Господ.
22. И вие ке бидете Мој народ, а Јас ке ви бидам Бог.
23. Еве, виорот на јароста од Господа доа а, виор страшен; ке падне врз главите на безбожниците.
24. Пламениот гнев на Господа нема да отстапи, се додека не ја изврши и не ја исполни замислата на срцето Свое. Во последните дни ке го разберете тоа.

Глава 31

1. Во тоа време, вели Господ, Јас ќе им бидам Бог на сите племиња Израилеви, а тие ќе бидат Мој народ.
2. Така вели Господ: народот, што се спасил од меч, најде милост во пустињата; одам да го успокојам Израилот.
3. Оддалеку ми се јави Господ и ми рече: со вечна љубов те засакав и затоа пристапив кон тебе со милост.
4. Јас пак ќе те кренам, и ти ќе биде обновена, девојко Израилева, па ќе ги земеш тимпаните свои и ќе излезеш на собор со оние што играат;
5. пак ќе садиш лоза по самариските височини; лозарите, што ќе ги садат, сами и ќе се користат од нив.
6. Оти ќе дојде ден, кога стражата на планината Ефремова ќе извика: 'станувајте да се искачиме на Сион при нашиот Господ Бог.'
7. Бидејќи така вели Господ: пејте со радост за Јакова и воскликнувајте пред главата на народите; разгласувајте, славете и кажувајте: го избави Господ Твојот народ, остатокот од Израилот!
8. Еве, Јас ќе ги доведам од северната земја и ќе ги соберам од земните краишта, и слеп и хром, и бремена и родилка, заедно со нив - големо множество ќе се врати овде.
9. Тие отидоа со солзи, Јас, пак, ќе ги поведам со утеха; ќе ги поведам покрај потоци со води, по рамен пат, по кој нема да се сопнуваат; бидејќи Јас сум отец на Израилот, и Ефрем е Мојот првороден.
10. Чујте го, народи, словото Господово и разгласете го по островите далечни и кажете: Оној што го расеа Израилот, Он и ќе го собере и ќе го пази како што го прави тоа пастирот со своето стадо;
11. оти Господ ќе го откупи Јакова и ќе го избави од рацете на оној, кој беше посилен од него.
12. И тие ќе дојдат и ќе се радуваат на сионските височини, и ќе се стрчаат кон добрата Господови, кон пченицата, виното и елејот, кон јагнињата и воловите; и душата нивна ќе им биде како градина напоена со вода, и веќе нема да се измачуваат.
13. Тогаш девојката ќе се радува на оро, а и младите и старите заедно; и тагата нивна ќе се претвори во радост, ќе ги утешам и ќе ги зарадувам по нивната болка.
14. И ќе ја нахранам душата на свештениците со мрс, и Мојот народ ќе се насити со Моите добра, вели Господ.
15. Така вели Господ: глас се слуша во Рама, пискот и горко плачење: Рахил плаче за децата свои и не сака да се утеши за нив, оти ги нема.
16. Така вели Господ: задржете го гласот свој од плачење и очите свои - од солзи, оти за трудот твој има награда, вели Господ, и тие ќе се вартат од непријателската земја.
17. И надеж има за твојата иднина, вели Господ, и твоите синови ќе се вратат во пределите свои.
18. Го слушам Ефрема како плаче: 'Ти ме казни, и јас сум казнет како нескротен јунец; сврти ме - и ќе се свртам, зашто ти си мој Господ Бог.
19. Кога се обрнав, јас се покајав; кога бев вразумен, се удирав по бедрата; станав посрамен, станав смутен, зашто го носев срамот од младоста своја.'
20. Зар Ефрем не е Мојот драг син, не е ли тој дете сакано? Оти, штом ќе почнам да зборувам за него, секогаш се сеќавам со љубов за него; срцето Мое се радува за него; ќе се смилувам над него, вели Господ.
21. Постави си знаци по патиштата, постави си купишта камења, запомни го патот, по кој си врвела; враќај се, девојко Израилева, враќај се во тие твои градови.
22. Уште ли ќе скиташ, ќерко отстапничка? Оти Господ ќе направи нешто ново на земјата: жената ќе го спаси мажот.
23. Така вели Господ Саваот, Бог Израилев: во иднината, кога ќе ги вратам робовите нивни,

тие по земјата на Јуда и во неговите градови ќе го кажуваат овој збор: 'Господ нека те благослови, живеалиште на правдата, света горо!'
24. И ќе се насели во неа Јуда и сите негови градови заедно, земјоделците и они што пасат стада.
25. Бидејќи Јас ќе ја напојам изморената душа и ќе ја наситам секоја малаксана душа.
26. Потоа се разбудив и погледнав, и сонот ми беше пријатен.
27. Ете, идат дни, вели Господ, кога ќе посеам во домот Израилев и во домот на Јуда семе човечко и семе од добиток.
28. И како што внимавав за нив, кога ги искоренував и ги уништував, кога ги разрушував, погубував и повредував, така ќе внимавам на нив, кога ќе ги издигнувам и насадувам, вели Господ.
29. И тогаш, нема да велат веќе: 'Татковците јадеа кисело грозје, а забите на децата нивни им факаат оскомина.'
30. Но, секој умира поради своето сопствено беззаконие; кој ќе јаде кисело грозје, нему забите ќе му факаат оскомина.
31. Еве настапуваат дни, вели Господ, и ќе склучам со домот Израилев и со домот на Јуда нов завет.
32. Не онаков завет, каков што склучив со татковците нивни во денот, кога ги фатив за раце, за да ги изведам од Египетската земја; тој Мој завет тие го нарушија, иако останав во сојуз со нив, вели Господ.
33. Но еве го заветот, што ќе го склучам со домот Израилев по оние дни, вели Господ: ќе го вложам Мојот закон во утробата нивна и ќе го напишам во срцата нивни, па Јас ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат Мој народ.
34. И нема повеќе да учат еден друг, брат брата и да зборуваат: 'познајте Го Господа', оти сите тие, од мал до голем, сами ќе Ме знаат, вели Господ, бидејќи ќе им ги простам беззаконијата нивни, и за гревовите нивни нема веќе да се сеќавам.
35. Така вели Господ, Кој го определи сонцето да свети дење, и им даде наредба на месечината и на ѕвездите да светат ноќе, кој Го бранува морето, и брановите негови да бучат; Господ Саваот е името Негово.
36. Ако тие наредби престанат да ги применуваат пред Мене, вели Господ, тогаш и племето Израилево ќе престане да биде народ пред Мене за секогаш.
37. Така вели Господ: ако може да се измери небото угоре и основите на земјата да се испитаат удолу, тогаш и Јас ќе го отфрлам сето племе Израилево, за се она, што го праавеа, вели Господ.
38. Еве, доа аат дни, вели Господ, кога градот ќе биде обновен за слава на Господа, од кулата на Анамеила до Аголната порта,
39. и мерката на земјата од ридот ќе отиде уште погоре, токму до ридот Гарив и ќе свие кон Гоат.
40. И целата долина на труповете и на пепелта, и целото поле до потокот Кедрон, до аголот на Коњската порта спрема исток, ќе биде светиња Господова; нема да се разрушува и нема да се расипува довека.

Глава 32

1. Слово Господово што дојде до Јеремија во десеттата година на јудејскиот цар Седекија; таа
година беше осумнаесеттата година на Навуходоносора.
2. Тогаш војската на вавилонскиот цар го опсадуваше Ерусалим, а пророкот Јеремија беше
затворен во стражарницата, што се нао аше при домот на јудејскиот цар.
3. Јудејскиот цар Седекија го затвори таму, откако рече: 'Зошто пророкуваш и велиш - така
вели Господ: еве, Јас ке го предадам овој град во рацете на вавилонскиот цар, и тој ке го
преземе;
4. и Седекија, јудејскиот цар, нема да избега од рацете на Халдејците, туку бездруго ке биде
предаден во рацете на вавилонскиот цар, и ке зборува со него уста во уста, и очите негови ке
ги видат неговите очи;
5. и тој ке го одведе Седекија во Вавилон, каде што и ке остане, додека не го посетам, вели
Господ. Ако се борите против Халдејците, нема да победите?'
6. И рече Јеремија: такво беше словото Господово до мене.
7. Еве, Анамеил синот на твојот чички Салума, доа а при тебе да ти каже: купи ја нивата моја,
што се нао а во Анатот, зашто, според родбинското право, тебе ти се па а да ја купиш.
8. И Анамеил, синот на мојот чичко, дојде при мене, според словото Господово, во
стражарницата и ми рече - купи ја мојата нива во Анатот, во земјата на Венијамина, зашто
правото на наследство е твое и куповното право е твое: купи ја. Тогаш разбрав дека тоа беше
слово Господово.
9. И ја купив од Анамеила, синот на мојот чичко, нивата во Анатот, и му измерив седум сикли
сребро и десет сребреници;
10. И запишав во книга, ја потпечатив, повикав потоа сведоци и парите ги измерив.
11. Па ја зедов потврдата за купопродавање, потпечатена според законот, и наредбата, и така,
отворено,
12. му ја дадов потврдата за купување на Варуха, синот на Нирија, Маасеев син, пред очите на
Анамиела, синот на мојот чичко, и пред очите на сведоците, кои го потпишаа тој
купопродажен договор пред очите на сите Јудејци, што седеа во стражарницата;
13. и му заповедав на Варуха во нивно присуство;
14. вака вели Господ Саваот, Бог Израилев - земи ја оваа книга, договоров за купопродавање,
која е потпечатена и оваа отворена книга, и стави ги во глинен сад, за да останат таму долго
време.
15. Оти, така вели Господ Саваот, Бог Израилев: во ова земја пак ке се купуваат куки, ниви и
лозја.
16. И откако му ја предадов на Нириевиот син Варуха купопродажната потврда, јас се помолив
на Господа:
17. 'О, Господи Боже, Ти го создаде небото и земјата со силата Твоја голема и со кренатата
мишка; за Тебе не постои ништо невозможно;
18. Ти покажуваш милост на иљадници и за гревовите на татковците нивни им отплакаш на
децата нивни по нов: Боже Велики, Силни, на Кого името Му е Господ Саваот.
19. Голем по мудрост и силен според делата, Чии очи се отворени врз сите патишта на
синовите човечки, за да отплатува секому според патиштата негови и според плодовите на
делата негови,
20. Кој изврши чудеса и покажа знаци во земјата Египетска, а извршуваш и до денес во
Израилот и ме у сите лу е, и Си создаде име, како во оној ден,
21. па го изведе Твојот народ Израилот од земјата Египетска со знаци и чудеса, со силна рака
и кренатата мишка и со голем страв.
22. И им ја даде оваа земја, која со клетва им ја беше ветил на татковците нивни, дека ке им ја
дадеш, земја, каде што тече мед и млеко.
23. Ти влегоа и ја наследија, но не го слушаа гласот Твој и не одеа по законот Твој, не вршеа

што им беше заповедал Ти да прават, па заради тоа Ти го испрати врз нив сево ова зло.
24. Еве, насипите дојдоа до градот, за да го преземат; и од меч, глад, и од помор градот ке се предаде во рацете на Халдејците, кои се борат против него; се што рече Ти, се исполнува, и, еве, Ти го гледаш тоа.
25. Ти, Господи Боже, ми рече: купи си нива за сребро и повикај сведоци тогаш, кога градот се предава во рацете на Халдејците.'
26. И би слово Господово до Јеремија: -
27. Еве, Јас сум Господ, Бог на секоја плот; има ли нешто, што не е можно за Мене?
28. Затоа, вака вели Господ: еве, Јас го предавам овој град во рацете на Халдејците и во рацете на вавилонскиот цар Навуходоносора, и тој ке го преземе,
29. и ке влезат Халдејците, што го опсадуваат овој град, ке го запалат градот со оган и ке го изгорат него и куките, под чии стреи се вознесувало кадење на Ваала и се извршувал прелив на ту и богови, за да Ме разгневуваат.
30. Оти синовите Израилеви и синовите Јудини уште од младоста своја само зло вршеа пред очите Мои; синовите Израилеви Ме разгневуваа со делата на рацете свои, вели Господ.
31. И како само заради Мојот гнев и заради Мојата јарост да постоеше овој град од денот на неговото основање па се до денес, за да го отфрлам од лицето Свое
32. за сето зло на синовите Израилеви и на синовите Јудини, кои, за да Ме разгневуваат, го правеа тие, царевите нивни, кнезовите нивни, свештениците нивни, пророците нивни, лу ето на Јуда и жителите на Ерусалим.
33. Па Ми го свртија грбот, место лицето и, кога ги учев, ги учев од рано утро, но тие не сакаа да прима поука,
34. и во домот, во кој се призима името Мое, ги поставија своите гнасни работи и го осквернија.
35. Во долината на Еномовите синови изградија незнабожечко светилиште на Ваала, за да ги принесуваат синовите свои и керките свои во чест на Молоха, што не сум им заповдал, и на ум не ми идело, дека тие ке ги вршат тие гнасни работи, воведувајки го Јуда во грев.
36. Но сега, вака вели Господ, Бог Израилев, за овој град, за кој вие велите: 'Со меч, глад и помор се предава во рацете на вавилонскиот цар',
37. еве, Јас ке ги соберам од сите страни, во кои бев ги расеал во гневот Свој во јароста Своја и во големото негодување, па ке ги вратам на ова место и ке им дозволам да живеат безопасно.
38. Тие ке бидат Мој народ, и Јас ке им бидам Бог.
39. И ке им дадам едно срце и еден пат, за да се бојат од Мене во текот на сите дни од живото нивни, за нивно добро и за доброто на децата нивни по нив.
40. Па ке склучам со нив вечен завет, според кој нема да се одвратам од нив и ке им правам добрини, и ке вложам во срцата нивни страв од Мене, за да не отстапуваат од Мене.
41. И ке се радувам за нив, правејки им добро, и ке ги населам цврсто на оваа земја - од се срце и од сета душа.
42. Затоа вака вели Господ: како што го испратив ова големо зло врз оној народ, така ке испратам врз нив секакво добро што го изреков за нив.
43. И тие ке купуваат ниви во оваа земја, за која велат: 'тоа е пустиња, без лу е, без добиток; таа е предадена во рацете на Халдејците;'
44. ке купуваат ниви за сребро, ке потпишуваат купопродажни книги, ке ги потепчатуваат и ке повикуваат сведоци - во земјата на Венијамина, во ерусалимската околина и во градовите на Јуда, во планинските градови, во градовите на полето и во јужните градови; бидејки ке ги вратам заробените нивни, вели Господ.

Глава 33

1. И вторпат би слово Господово до Јеремија, кога беше тој затворен во стражарницата -
2. вака вели Господ, Кој ја создаде земјата, Господ, Кој ја уреди и зацврсти, - Кому Му е името Господ:
3. повикај кон Мене, и Јас Ќе ги одговорам, ќе ти покажам нешто големо и недостапно, нешто, што ти не го знаеш.
4. Оти, така вели Господ, Бог Израилев, за куќите на овој град и за куќите на јудејскиот цареви, што ќе се урнат за окопи и за борби.
5. Оние, што дојдеа да се борат против Халдејците, за да ги исполнат домовите со трупови на лу е, кои Јас во Својот гнев и во јароста Своја ќе ги поразам и поради чие беззаконие Јас го сокрив лицето од тој град.
6. Еве, Јас ќе ги излекувам, ќе ги исцелам и ќе им откријам изобилие на мир и вистина,
7. ќе ги вратам заробените на Јуда и заробените на Израилот и ќе ги зацврстам како порано,
8. ќе ги исчистам од секое нивно беззаконие, со кое згрешија пред Мене, и ќе им ги простам сите нивни гревови, со кои се огрешија пред Мене и остастапија од Мене.
9. И Ерусалим ќе биде за Мене радосно име, пофалба и чест, пред сите земни народи, што ќе чујат за сите добра, какви што ќе им давам и ќе се уплашат и ќе затреперат од сите добра и од секаков благослов, што ќе им го дадам.
10. Така вели Господ: на ова место за кое вие велите - 'тоа е пусто, без лу е и без добиток', во јудејските градови и во ерусалимските улици, кои се пусти, без лу е, без жители, без добиток,
11. пак ќе се слуша глас од радост и глас од веселба, глас на младоженец и глас на невеста, глас на оние што велат: 'славете Го Господа Саваота, зашто е благ Господ, зашто е милоста Негова вечна', и глас на оние што принесуваат благодарствена жртва во домот Господен; бидејќи Јас ќе ги вратам заробените од оваа земја во нивната поранешна состојба, вели Господ.
12. Така вели Господ Саваот: во ова место, кое е пусто - без лу е, без добиток, и во сите негови градови пак ќе има живеалишта на пастири, што ќе ги доведуваат стадата свои на одмор.
13. Во планинските градови, во градовите по полето и во јужните градови, во земјата на Венијамина, во ерусалимските предградија и во градовите Јудини пак ќе врват стада под раката на оној што ќе ги пребројува, вели Господ.
14. Еве настапуваат дни, вели Господ, кога ќе го исполнам ова добро слово, што го изреков за домот Израилев и за домот на Јуда.
15. Во тие дни и во тоа време ќе благословам на Давида да му израсте Подмладок на правдата, и Он ќе изврши суд и правда на земјата.
16. Во тие дни Јуда ќе биде спасен, и Ерусалим ќе живее безопасно и ќе Му стават име: 'Господ е наша правда!'
17. Оти, така вели Господ: нема да снема маж при Давида, што не ќе седи на престолот во домот Израилев,
18. и кај левитските принесувачи на жртви нема да снема пред лицето Мое човек, кој преку сите дни да не вознесува сепаленица, да изгорува приноси и да принесува жртви.
19. И би слово Господово до Јеремија -
20. вака вели Господ: ако можете да го разрушите заветот Мој со денот и заветот Мој со ноќта, така што денот и ноќта да не се сменуваат во определеното време,
21. тоа тогаш ќе можете да го разрушите и заветото Мој со Мојот слуга Давида, така што да нема при него син, што ќе царува на неговиот престол, а исто така и со левитите - свештеници, служители Мои.
22. Како што е небесната војска безбројна, и песокта морска неизброива, така ќе се размножи племето на Мојот слуга Давида и на левитите кои Ми служат.
23. И би слово Господово до Јеремија:
24. зар не гледаш, дека овој народ вели - 'двете племиња, кои Господ ги избра, Он ги отфрли',

и со тоа тие го презираат Мојот народ како веке да не е народ Мој пред очите нивни?
25. Така вели Господ: да не бев го утврдил заветот Мој со денот и нокта и наредбите на небото и на земјата,
26. тоа тогаш и племето на Јакова и на Мојот слуга Давида, ке го отфрлев, за да не земаат веке од неговото племе владетели, за племето на Авраама, и Исака, и Јакова, бидејки ке ги вратам нивните заробени и ке ги помилувам.

Глава 34

1. Слово што дојде до Јеремија од Господа, кога вавилонскиот цар Навуходоносор, сета војска негова, сите земни царства, подвластени под негова рака, и сите народи се бореа против Ерусалим и против сите негови градови -
2. Така вели Господ Бог Израилев: оди, кажи му на јудејскиот цар Седекиј и речи му - вака вели Господ: еве, Јас ке го предадам овој град во рацете на вавилонскиот цар, и тој ке го изгори со оган;
3. и ти нема да избегаш од рацете негови, туку ке бидеш фатен и предаден во рацете негови и очите твои ке ги видат очите на вавилонскиот цар, и устата негови ке и зборува на твојата уста, па ке појдеш во Вавилон.
4. Ислушај го словото Господово, царе јудејски, Седекија. Вака вели Господ за тебе - ти нема да умреш од меч;
5. ти ке умреш во мир, како и таковците твои, царевите поранешни, кои беа пред тебе и за кои при погребението гореа благопријатни мириси, така ке горат и за тебе и ке те исплачат - 'о, господаре!' заради тоа што Јас го реков овој збор, вели Господ.
6. Пророкот Јеремија му ги кажа сите овие зборови на јудејскиор цар Седекија во Ерусалим;
7. а војската на царот вавилонски удираше на Ерусалим и против сите јудејски градови, кои уште се држеа, против Лахис и Азек; бидејки од јудејските градови само тие останаа поцврсти.
8. Слово Господово што дојде до Јеремија, откако царот Седекија склучи договор со сиот народ, што беше во Ерусалим, за да прогласат слобода,
9. па секој да го пушти својот роб на слобода и робинката, Евреин и Еврејка, така што никој од нив да не го држи во ропство, Јудеецот братот свој.
10. И послушаа сите кнезови и сиот народ, што беа пристапиле кон заветот, така што секој да го отпушти на слобода својот роб и секој - робинката своја, па во иднина да не ги држат како робови; послушаа и ги отпуштија.
11. Но потоа, откако размислија, почнаа да ги вракаат робовите и робинките, што беа ги пуштиле на слобода, и ги принудија пак да бидат робови и робинки.
12. И би слово Господов до Јеремија:
13. така вели Господ, Бог Израилев: Јас склучив завет со вашите татковци, кога ги изведов од Египетската земја и до домот на ропството, па реков -
14. 'Во крајот на седмата година отпуштај го братот свој Евреин, кој ти се продал; нека ти работи шест години, а потоа отпушти го од кај тебе на слобода.' Но татковците ваши не го приклонија увото свое и не Ме послушаа.
15. Вие сега се повративте и постапивте праведливо пред очите Мои, што му објавивте секој од вас на ближниот свој слобода, и склучивте пред Мене завет во домот, над кој се призовува името Мое;
16. но отпосле се предомисливте и го обесчестивте името Мое, па ги зедовте назад секој својот роб и секој својата робинка, кои бевте ги пуштиле на слобода, кому каде му беше угодно, и ги принудивте сега пак да ви бидат робови и робинки.
17. Затоа, вака вели Господ: вие не Ме послушавте да објавите слобода на братот свој и на ближниот свој; затоа, еве, Јас, вели Господ, ви објавувам слобода за да бидете предадени на меч, за помор и на глад и ке ве предадам на поруга пред сите цаеви земни;
18. и ке ги предадам они, што го престапија заветот Мој и не ги исполнија зборовите на заветот, што го склучија пред лицето Мое, откако пресекоа теле на две половини и минаа ме у расечените делови,
19. јудејските кнезови и ерусалимските кнезови, дворјаните и свештениците и сиот народ на земјата, кој мина ме у расечените делови на телето,
20. ке ги предадам во рацете на непријателите нивни и во рацете на оние, кои ја бараат душата нивна, а труповите нивни ке бидат храна за птиците небески и за ѕверовите земни.
21. И Седекија, царот јудејски, и кнезовите негови ке ги предадам во рацете на непријателите

нивни и во рацете на оние, кои ја сакаат душата нивна, и во рацете на војската на вавилонскиот цар, која остапи од вас.
22. Еве, Јас ке заповедам, вели Господ, и ке ги вратам кон овој град и тие ке го нападнат, ке го преземат и ке го изгорат со оган, и градовите на Јудеја ке ги направзм пустиња без лу е.

Глава 35

1. Слово од Господа, упатено до Јеремија во дните на јудејскиот цар Јоаким, син Јосиев:
2. оди во домот на Рехавовци, позборувај со нив и доведи ги во домот Господов, во една од собите и дај им да пијат вино.
3. Јас го поведов Јазанија, синот на Јеремија, син Авациниев, и братот негов, сите синови негови и сиот дом на Рехавовци,
4. па ги доведов во домот Господен, во собата на синовите од Годолија, син Ананов, човек Божји, која се нао а до собата на кнезовите, а над собата на Масеа, син Селумов, стражар при влезот.
5. И поставив пред синовите од домот на Рехавовци полни грнци со вино и чаши, па им реков: 'Пијте вино!'
6. Но тие рекоа: 'Ние вино не пиеме, бидејки нашиот татко Јонадав, син Рехавов, ни заповедал, велејки - ‘вино не пијте ни вие, ниту децата ваши довека;
7. и куки не правете, и семиња немојте да сеете, лоза не садете; такви работи да нема при вас, туку преку сите денови на животот свој живејте во шатори, за да поживеете долго на оваа земја, каде што сте ту инци.‘
8. И ние го послушавме гласот на нашиот татко Јонадав, син Рехавов, во се, што ни заповеда - да не пиеме вино во текот на сите наши дни, ние и жените наши, синовите наши и керките наши,
9. и да не правиме куки за наше живеење; и, ете, ние немаме ни лозја, ни ниви, ниту градини,
10. туку живееме во шатори и во се се покоруваме и го вршиме сето она, што ни заповеда нашиот татко Јонадав.
11. А кога вавилонскиот цар Навуходоносор дојде во оваа земја, ние си рековме: да си одиме, да појдеме во Ерусалим пред халдејската војска и пред арамејската војска, и, еве, ние живееме во Ерусалим.'
12. И би слово Господово до Јеремија:
13. вака вели Господ Саваот, Бог Израилев: оди, кажи им на лу ето Јудини и на жителите ерусалимски - зар нема да излечете поука од ова за себе, па да ги послушате зборовите Мои, вели Господ.
14. Се исполнуваат зборовите на Јонадава, синот Рехавов, кој им заповеда на синовите свои да не пијат вино, и тие до ден денес не пијат, бидејки му се покоруваат на заветот што му го дале на својот татко; Јас, пак, постојано ви зборував од рано утро, а вие не Ме послушавте.
15. Ги испракав Јас при вас сите Мои слуги - пророците ги пракав од рано утро, и велев - повратете се секој од својот лош пат и исправете го поведението свое и не одете по други боови, за да им служите, па ке живеете во оваа земја, кој ви ја дадов вам и на татковците ваши; но вие не го приклонивте увото и не Ме послушавте.
16. Бидејки синовите на Јонадава, синот Рехавов, ја исполнуваат заповедта на својот татко, што беше им ја дал, а овој народ Мој Мене не Ме слуша,
17. затоа, вака вели Господ, Бог Саваот, Бог Израилев - еве, Јас ке го испратам врз Јудеја и врз сите жители ерусалимски сето ова зло, што го изреков врз нив, зашто Јас им зборував, а тие не слушаа, им викав, а тие не одговараа.
18. А на домот на Рехавовци, Јеремиј им рече - вака вели Господ Саваот, Бог Израилев: бидејки го послушавте заветот на вашиот татко Јонадава и ги пазите сите негови заповеди и во се постапувате, како што ви заповедал,
19. затоа, вака вели Господ Саваот, Бог Израилев - никогаш нема да недостига од Јанадава, синот Рехавов, човек што ке стои пред лицето Мое во сите дни.

Глава 36

1. Во четвртата година на јудејскиот цар Јоаким, синот Јосиев, би ова слово Господово до Јеремија:
2. зами си книга и напиши ги во неа сите зборови, што ти ги кажав за Израилот, за Јуда и за сите народи од оној ден, откако почнав да ти кажувам, од дните на Јосија па до денес;
3. можеби домот Јудин ке чуе за сите беди што мислам да му ги направам, па тие да се повратат секој од својот лош пат, и Јас да им ја простам неправдата нивна и гревовите нивни.
4. И го повика Јеремиј Варуха, синот Нириев, и ги напиша Варух во книга како свиток книжен од устата на Јеремија сите Господови зборови, што му ги беше кажал Он.
5. Тогаш Јеремија му заповеда на Варуха и му рече: 'Јас сум затворен и не можам да појдам во домот Господен;
6. затоа оди и прочитеј ги ти од свитокот книжен запишаните зборови Господови од мојата уста гласно пред народот во домот Господов, во денот на постот, прочитај ги гласно и пред сите Јудејци, што се дојдени од градовите свои;
7. можеби, тие ке упатат смирена молба пред лицето Господово и ке се повратат секој од својот лош пат; оти голем е гневот и негодувањето, кое Господ го изрече против овој народ.'
8. Варух, синот Нириев, направи се, како што му заповеда пророкот Јеремија - и ги прочита од свитокот книжен во домот Господоен, запишаните зборови Господови.
9. Во петтата година на јудејскиот цар Јоаким, синот Јосиев, во деветтиот месец, објавија пред лицето Господово пост за сиот народ ерусалимски и за сиот народ, што беше дошол од јудејските градови во Ерусалим.
10. И Варух ги прочите гласно пред сиот народ запишаните во свитокот книжен Јеремиевите зборови во домот Господен, во собата на писарот Гемариј, син Сефанов, во горниот двор при влезот кон новите порти на домот Господен.
11. Михеј, синот на Гемарија, Сафанов син, ги чу сите Господови зборови, запишани во свитокот книжен,
12. и слезе во домот на царот, во собата на царевиот писар, а тоа, таму седеа сите кнезови: Елисам, писарот царев, Делаја, синот Семаев, Елнатан, синот Ахборов, Гемариј, синот Сафанов, Седекиј, синот Ананиев, и сите кнезови.
13. И им ги кажа Михеј сите зборови, што ги чу, кога Варух го читаше свитокот книжен гласно пред народот.
14. Тогаш сите кнезови го пратија при Варуха Јехудија, синот Натаниев, син Селемиев, син Хусиев, да му каже: 'Земи го в рака свитокот книжен, што го читаше гласно пред народот, па дојди!' И го зеде Варух, синот Нириев, свитокот в рака и отиде при нив.
15. Тие му рекоа: 'Седни и прочитај ни го гласно!' И Варух им го прочита гласно.
16. Кога ги ислушаа сите зборовите, со ужас се погледаа поме у себе и му рекоа на Варуха: 'Ние ке му ги кажеме на царот сите овие зборови.'
17. И го прашаа Варуха: 'А кажи ни ти како ги напиша сите овие зборови од устата негова?'
18. И им одговори Варух: 'Он ми ги изговори со устата своја сите овие зборови, јас, пак, ги запишав со мастило во овој свиток книжен.'
19. Тогаш кнезовите му рекоа на Варуха: 'Оди и сокри се, ти и Јеремија, па никој да не знае, каде сте.'
20. И отидоа при царот во дворецот, а свитокот книжен го оставија во собата на Елисама, писарот царев; па му ги раскажаа гласно пред царот сите тие зборови.
21. Царот го испрати Јехудија да го донесе свитокот книжен, и тој го зеде од собата на Елисама, писарот царев; и го прочита Јехудиј гласно пред царот и гласно пред сите кнезови, што стоеја околу царот.
22. Царот во тоа време, во деветтиот месец, престојуваше во зимскиот дворец и пред него имаше мангал со разгорен јаглен.
23. Штом Јехудиј ке прочиташе два - три столпца, царот ги сечеше со писарското ноже и еден

по еден ги фрлаше во мангалот, се додека не беше уништен целиот свиток во огнот, што го имаше во мангалот.
24. Не се уплашија и не ги раскинаа облеките свои ни царот, ниту слугите негови, кои ги чуја сите зборови.
25. Иако Елнатан, Делаја и Гемариј го молеа царот да не го гори свитокот книжен, но тој не ги послуша.
26. И царот му заповеда на царевиот син Јерамеила, и на Сераја, синот Азрилов, и на Селемија, синот Авдилов, да го фатат писарот Варух и пророкот Јеремија. Но Господ ги сокри.
27. И би слово Господово до Јеремија, откако царот го изгоре свитокот книжен и зборовите, што беше ги напишал Варух од устата на Јеремија, и му беше речено:
28. 'Земи си пак друг свиток и напиши ги во него сите поранешни зборови, што беа во првиот свиток книжен, кои јудејскиот цар Јоаким ги изгори;
29. а на јудејскиот цар Јоаким кажи му - вака вели Господ: ти го изгори свитокот, зашто рече - бидејки напиша во него: 'бездруго ке дојде вавилонскиот цар и ке ја разори оваа земја и ке ги истреби во неа лу ето и добитокот',
30. поради тоа, вели Господ, за јудејскиот цар Јоаким: ке нема од него човек што ке седи на Давидовиот престол, и трупот негов ке биде фрлен на дневниот припек и на нокниот студ.
31. Па ке го посетам него, и племето негово, и слугите негови за неправдите нивни, и ке го испратам врз нив и врз ерусалимските жители, и врз лу ето на Јуда, сето она зло, што го искажав врз нив, а тие не послушаа.'
32. И зеде Јеремија друг свиток и му го даде на писарот Варух, синот Нириев, и тој ги напиша во него од устата на Јеремија сите зборови од оној свиток книжен, што го изгори во оган јудејскиот цар Јоаким; а додаде кон нив и уште многу други, слични на нив зборови.

Глава 37

1. Место Јехонија, синот Јоакимов, царуваше Седекија, синот Јосиев, кого вавилонскиот цар Навуходоносор го постави за цар во Јудејската земја.
2. Ни тој, ни слугите негови, ниту, пак, народот од земјата не ги послушаа зборовите на Господа, кои Он им ги кажа преку пророкот Јеремија.
3. Царот Седекија го испрати Јехухала, синот Селемиев, и свештеникот Софониј, син Масеев, при пророкот Јеремија да кажат: 'помоли се заради нас на нашиот Господ Бог.'
4. Јеремија тогаш се уште слободно влегуваше и излегуваше пред народот, бидејки уште не беа го затвориле во темница.
5. Во ме увреме Фараоновата војска излезе од Египет, и Халдејците кои го опседуваа Ерусалим, штом разбраа за тоа, отидоа од Ерусалим.
6. И би слово Господово до пророкот Јеремија:
7. вака вели Господ, Бог Израилев - кажете му на јудејскиот цар, кој ве испрати до мене да ме прашате: еве, војската на Фараонот, што ви дојде на помош, ке се врати во земјата своја, во Египет;
8. а Халдејците пак ке дојдат и ке се борат против овој град, ке го преземат и ке го изгорат со оган.
9. Така вели Господ - не лажете се, велејки си во себе: 'бездруго ке си отидат Халдејците од нас', зашто нема да си отидат;
10. дури и да бевте ја разбиле сета војска на Халдејците, кои војуваат против вас, и да останеа при вас само ранетите, тоа тогаш и тие би станале, секој од шаторот свој и би го изгореле овој град со оган.
11. И во тоа време, кога халдејската војска се оддалечи од Ерусалим, поради Фараоновата војска,
12. Јеремија појде од Ерусалим, па дојде во земјата на Венијамина, сокривајки се од народот.
13. А кога беше пред портата Венијаминова, тамошниот управител на стражата, по име Јерај, син Селемиев, син Ананиев, го задржа пророкот Јеремиј и рече: 'Ти сакаш да побегнеш при Халдејците, зар не?'
14. Јеремија одговори - 'Лага е тоа; не сакам да бегам при Халдејците.' Но Јерај не го послуша, го фати Јеремија и го одведе кај кнезовите.
15. Кнезовите се разгневија на Јеремија, го биеја и го затворија во темница, во куката на писарот Јонатан, бидејки ја беа направиле затвор.
16. Кога Јеремија влезе во темницата и во визбата, таму остана повеке дни.
17. Царот Седекија испрати по него и го доведоа. И го праша царот во својот дом тајно, велејки: 'Нема ли слово од Господа?' Јеремија одговори: 'Има', и додаде: 'ке бидеш предаден во рацете на вавилонскиот цар.'
18. Тогаш Јеремија му рече на царот Седекија: 'Што згрешив пред тебе, пред слугите твои и пред овој народ, па ме фрливте во темница?
19. И каде се вашите пророци, кои ви пророкуваат кажувајки: ‘Вавилонскиот цар нема да дојде против вас и против оваа земја?‘
20. А сега, чуј, господаре мој, царе, услиши ја молбава моја пред лицето твое; не вракај ме во куката на писарот Јонатан, за да не умрам таму.'
21. Тогаш царот Седекиј заповеда да го затворат Јеремија во стражарницата, и таму му даваа по едно парче леб на ден од улицата не лебарите, се додека не се заврши сиот леб во градот. И така остана Јеремиј во стражарницата.

Глава 38

1. Сафатиј, синот Матанов, Годолиј, синот Пасхоров, Јухал, синот Селемиин, и Пасхор, синот Малхиев ги чуја зборовите, што ги кажа Јеремија пред народот, откако рече:
2. 'Вака вели Господ - оној, што ке остане во овој град, ке умре од меч, од глад и од помор; а оној, што ке појде при Халдејците, ке биде жив, и неговата душа ке му биде заменета место грабеж, и тој ке остане жив.
3. Така вели Господ - овој град бездруго ке биде предаден во рацете на војската од вавилонскиот цар, и тој ке го преземе.'
4. Тогаш кнезовите му рекова на царот: 'Овој човек нека биде предаден на смрт, оти влијае да ослабат рацете на војниците, што ке останат во овој град, рацете на сиот народ, откако им ги кажа тие зборови; бидејки овој човек не му пожелува добро на овој народ, туку зло.'
5. И рече цаот Седекиј: 'Ете, тој е во ваши раце, бидејки царот не може ништо да направи против вас.'
6. Тогаш го фатија Јеремија и го фрлија во јамата на Мелхија, синот царев, кој беше во стражарницата, и го пуштија Јеремија со јаже; во јамата немаше вода, туку само тиња, и Јеремија падна во тињата.
7. И чу Авдемелех Етиопјанинот, еден од дворјаните, што се нао аше во царскиот дом, дека Јеремија го фрлија во јамата, а царот тогаш седеше пред портите Венијаминови.
8. Па излезе Авдемелех од царскиот дом и му рече на царот:
9. 'Господаре мој, царе, лошо ти направија оние лу е што така постапија со пророкот Јеремија, кого го фрлија во јамата; тој ке умре таму од глад, оти во градот веке нема леб.'
10. Царот му заповеда на Авдемелеха Етиопјанинот и рече: 'Земи со себеси одовде триесетина лу е и извлечи го пророкот Јеремија од јамата, додека уште не умрел!'
11. Авдемелех зеде со себе лу е и влезе во царскиот дом, во подземјето, и зеде оттаму износени алишта, стари крпи, па ги спушти со јаже во јамата при Јеремија.
12. И му рече Авдемелех Етиопјанинот на Јеремија: 'Стави ги тие ветви алишта и крпите под мишките на рацете свои, под јажето. И Јеремија направи така.
13. Па го повлекоа Јеремија со јажето и го извлекоа од јамата. И остана Јеремиј во стражарницата.
14. Тогаш царот Седекиј прати, па го повика при себе Јеремија, при третиот влез за во домот Господен; и му рече на Јеремија - 'Ке те прашам нешто, но не сокривај ништо од мене.'
15. И му рече Јеремија на Седекија: 'Ако ти откријам, нема ли да ме предадеш на смрт, а ако те посоветувам, ти нема да ме послушаш.'
16. И му се заколна тајно царот Седекиј на Јеремија, велејки: 'Жив Господ, Кој ни ја создаде душата, нема да те предадам на смрт и нема да те предадам во рацете на оние лу е, што ја сакаат душата твоја.'
17. Тогаш Јеремиј му рече на Седекија: 'Вака вели Господ, Бог Саваот, Бог Израилев - ако отидеш при кнезовите на вавилонскиот цар, душата ке ти остане жива, и овој град нема да биде изгорен со оган, и ти ке бидеш жив, а и домот твој;
18. ако, пак, не појдеш при кнезовите на вавилонскиот цар, овој град ке биде предаден во рацете на Халдејците, и тие со оган ке го изгорат, а ти нема да побегнеш од рацете нивни.'
19. И му рече царот Седекија на Јеремија: 'Се плашам од Јудејците, кои појдоа при Халдејците, за да не ме предадат Халдејците во рацете нивни, па тие да се исмеат со мене.'
20. И му рече Јеремија: 'Нема да те предадат; послушај го гласот Господов за ова, што ти го кажувам, па ке ти биде добро, и жива ке остане душата твоја.
21. Ако, пак, не сакаш да појдеш еве го словото, што ми го откри Господ:
22. ете, сите жени, што ке останат во домот на јудејскиот цар, ке бидат одведени при кнезовите на вавилонскиот цар, и ке речат: 'тебе те излагаа и те победија твоите пријатели; нозете твои потонаа во тиња, а тие побегнаа од тебе,
23. и сите твои жени и децата твои ке ги одведат при Халдејците, и ти не ке можеш да

избегаш од рацете нивни; ти ке бидеш грабнат од раката на вавилонскиот цар и ке направиш овој град да биде изгорен со оган.'
24. И му рече Седекија на Јеремија: 'Никој да не ги знае овие зборови, и тогаш ти нема да умреш;
25. ако, пак, чујат кнезовите дека сум зборувал со тебе, и дојдат при тебе и ти речат - кажи ни, што му зборуваше на царот, не криј од нас, и ние нема да те убиеме, а и она, што ти рече царот,
26. тогаш кажи им: јас му ја изнесов пред лицето на царот мојата молба, за да не ме врака во домот на Јонатана, па да не умрам таму.'
27. И дојдоа сите кнезови при Јеремија и го прашаа, а тој им одговори точно онака, како што му беше заповедал царот да каже, и тие молчешкум го оставија, бидејки не го разбраа она што му беше речено на царот.
28. И остана Јеремија во стражарницата до денот, во кој Ерусалим беше преземен. И Ерусалим го презедоа.

Глава 39

1. Во деветтата година на Седекија, царот јудејски, во десеттиот месец, дојде Навуходоносор, царот вавилонски со сета војска своја до Ерусалим и го опседна.
2. А во единаесеттата година на Седекија, во четвртиот месец, во деветтиот ден од месецот градот беше преземен.
3. И влегоа во него кнезовите на вавилонскиот цар - Нергал - Саресер, Самгар - Нево, Сарсехим, началник на дворјаните, Нергал - Саресер, началник на гледачите, и сите други кнезови, на вавилонскиот цар и се сместија до средните порти.
4. Кога Седекија, царот јудејски, и сите воени началници, ги видоа, побегнаа, и во текот на нокта излегоа од градот преку царската градина, низ портите ме у двата ѕида и тргнаа по патот кон рамнината.
5. Но халдејскста војска се спушти по нив; го достигнаа Седекија во Јерихонската рамнина; го фатија и го одведоа при вавилонскиот цар Навуходоносор во Ривла, во земјата Емат, и го судеше, пред очите негови, и сите јудејски великодостојници вавилонскиот цар ги закла; а на Седекија му ги извазди очите и го стави во окови, за да го одведат во Вавилон.
6. И вавилонскиот цар во Ривла ги закла синовите на Седекија пред неговите очи; вавилонскиот цар ги закла и сите велможи јудејски;
7. а на Седекија му ги извади очите и го опкова во окови, за да го одведе во Вавилон.
8. Домот на царот и домовите на народот Халдејците ги изгореа со оган и ѕидовите ерусалимски ги срушија.
9. А остатокот од народот, што остана во градот, како и одметниците, кои му се придружија, и другиот народ Навузардан, началникот на телохранителите, ги пресели во Вавилон.
10. Бедните од народот, пак, кои немаа ништо, Навузардан, началникот на телохранителите, ги остави во јудејската земја и им даде уште тогаш лозја и ниви.
11. А за Јеремија Навуходоносор, царот вавилонски, му даде таква заповед на Навузардана, начланикот на телохранителите -
12. 'Земи го, грижи се за него, и не прави му ништо лошо, туку постапувај со него онака, како што ке ти каже тој.'
13. И прати Навузардан началникот на телохранителите, и Навузазван, началник на дворјаните, и Нергал - Саресар началник на гледачите, и сите кнезови на вавилонскиот цар,
14. испратија и го зедоа Јеремија од стражарницата и му го доверија на Годолија, синот на Ахикама, синот Сафанов; го изведоа и тој остана да живее ме у народот.
15. Кога Јеремија уште беше затворен во дворскиот затвор, би слово Господово до него:
16. оди, речи му на Авдемелех Етиопјанинот - вака вели Господ Саваот, Бог Израилев: еве, Јас ке ги исполнам зборовите за овој град на зло, но не на добро, и тие ке се извршат во оној ден пред очите твои;
17. но тебе ке те избавам во оној ден, вели Господ, и нема да бидеш предаден во рацете на лу ето, од кои се плашиш.
18. Јас ке те избавам и ти нема да паднеш од меч, и душата твоја ке остане место грабеж, бидејки на Мене се надеваше, вели Господ.

Глава 40

1. И би слово Господово до Јеремија, откако Навузардан, началникот на телохранителите, го отпушти од Рама, каде што го беше зел окован во вериги од другите заробени ерусалимци и Јудејци, преселувани во Вавилон.
2. Началникот на телохранителите го зеде Јеремија и му рече: 'Твојот Господ Бог го изрече ова зло врз ова место
3. и го испрати Господ, и направи, како што рече - бидејки вие згрешивте пред Господа и не го послушавте гласот Негов, и ете заради тоа и ве постигна ова.
4. Па така, еве, јас денес те ослободувам од веригите, што ти се на рацете твои; ако ти е угодно да дојдеш со мене во Вавилон, дојди и јас ке се грижам за тебе; ако, пак, не ти е угодно да дојдеш со мене во Вавилон, остани овде. Еве, оваа земја е пред тебе; каде што ти е угодно и каде што ти е мило да одиш, појди таму.'
5. Додека тој уште не беше тргнал, Навузардан рече: 'Оди при Годолија, синот на Ахикама, сино Сафанов, кого вавилонскиот цар го постави за началник над јудејските градови, и остани со него ме у народот; или, оди, каде што ти е мило да одиш.' И началникот на телохранителите му даде храна и дар, па то отпушти.
6. И дојде Јеремија при Годолија, синот Ахикамов, во Масифа и живееше со него ме у народот, што беше останал во земјата.
7. Кога сите воени началници, што беа во рамнината, тие и лу ето нивни, чуја дека вавилонскиот цар го поставил Годолија, синот Ахикамов, за началник над земјата и му ги доверил лу ето, жените и децата и бедните во земјата, што не беа преселени во Вавилон,
8. тогаш дојдоа во Масифа при Годолија Исмаил, синот Натаниев, Јоанан и Јонатан, синовите Карееви, Сераја, синот Танасметов, синовите на Офа од Нетофат и Језонија, синот на Махат, тие и дружината нивна.
9. Годолиј, синот на Ахикама, син Сафанов, им се заколна ним и на лу ето, велејки: 'Не бојте се да им служите на Халдејците, останете си во земјата и служете му на вавилонскиот цар, па ке ви биде добро;
10. јас пак ке останам во Масифа за да се застапувам пред Халдејците, што ке доа аат при нас; а вие собирајте вино, летни плодови и елеј, собирајте го во вашите садови и живејте во градовите свои, што ги заседовте.'
11. Исто така и сите Јудејци, што се нао аа во земјата Моав, ме у синовите на Амона, во Идумеја и по сите краишта, чуја дека вивилонскиот цар оставил дел од Јудејците и го поставил над нив Годолија, синот на Ахикама, син Сафанов,
12. па се вратија сите тие Јудејци од сите места, каде што беа прогонети, и дојдоа во јудејската земја при Годилија во Масифа, и собраа многу вино и летни плодови.
13. Ме утоа, Јоанан, синот на Кареја, и сите воени началници, што се нао аа во полето, дојдоа при Годолија во Масифа,
14. и му рекоа: 'знаш ли ти дека Валис, царот на синовите Амонови, го испрати Исмаила, синот Натаниев, да те убие?' Но Годолија, синот Ахикамов, не им поверува.
15. Тогаш Јоанан, синот Кареев, му рече тајно на Годолија во Масифа: 'Дозволи ми да појдам и да го убијам Исмаила, синот Натаниев, и никој нема да разбере; зошто да дозволиш да те убие и да се растураст сите собрани при тебе Јудејци, и да загине остатокот од Јуда?'
16. Но Годолија, синот Ахикамов, му рече на Јоанан, синот Кареев: 'Не прави го тоа, оти она, што ми го кажуваш за Исмаила, не е вистина.'

Глава 41

1. Во седмиот месец, Исмаил, синот на Натанија, син Елисамов, од царски род и великодостојник при царот, и десет души со него дојдоа во Масифа при Годолија, синов Ахикамов, и таму, во Масифа, јадеа заедно леб.
2. И стана Исмаил, синот Натаниев и десетте души со него, па го убија со меч Годолија, синот на Ахикама, син Сафанов, и го убија оној, кого вавилонскиот цар го беше поставил за управник на земјата.
3. Исмаил ги уби и сите Јудејци, што беа со Годилија во Масифа, и Халдејците, војници што се нао аа таму.
4. На вториот ден, по убивањето на Годилија, додека уште никој не знаеше за тоа,
5. дојдоа од Сихем, Силом и Самарија, осумдесет души со избричени бради и раскинати облеки и со гребнатинки по телото, со дарови и ливан во рацете, за да ги принесат во домот Господен.
6. Исмаил, синот Натаниев, излезе од Масифа да ги пресретне, одејќи и плачејќи, и кога ги сретна, им рече: 'Одете при Годолија, синот Ахикамов.'
7. И кога влегоа во градот, Исмаил, синот Натаниев, заедно со оние што беа со него, ги уби и нив и ги фрли во јама.
8. Но се најдоа ме у нив десет души, кои му рекоа на Исмаила: 'Не убивај не, бидејки во полето имаме сокриени клетови со пченица и јачмен, елеј и мед.' И тој се воздржа, па не ги уби со нивните други брака.
9. А ровот, каде што ги фрли Исмаил труповите на лу ето, што ги уби поради Годилија, беше истиот, што го беше направил царот Аса, од страв пред Васа, царот израилски; него го наплни Натаниевиот син Исмаил со убиените.
10. Тогаш го зароби Исмаил сиот народ во Масифа, царските керки и сиот друг народ што беше останал во Масифа, кого Навузардан, началникот на телохранителите, беше го доверил на Годилија, синот Ахикамов, па во зората тргна Исмаил, Натаниевиот син кон земјата на синовите Амонови.
11. Но, Јоанан, синот на Кареја, и сите со него воени началници, чуја за сите злодела што беше ги извршил Исмаил, синот Натаниев,
12. па ги поведоа сите лу е и отидоа да се бијат со Исмаила, синот Натаниев, и го стигнаа при големите води, во Гаваон.
13. И кога сиот народ, што беше со Исмаила, го виде Јоанана, синот Kареев, и сите со него воени началници, тој се зарадува.
14. Тогаш сиот народ, што беше го заробил Исмиаил од Масифа, се откажа и се приклучи, па отиде при Јоанана, синот на Кареја.
15. А Исмаил, синот Натаниев, побегна од Јоанана со осум души и отиде при синовите Амонови.
16. Тогаш Јоанан, синот Кареев, и сите со него воени началници го поведоа од Масифа сиот народ, што го ослободи тој од Исмаила, синот Натаниев, откако го беше убил Годолија, синот Ахикамов, лу е, војници, жени, деца и дворјани, што беше ги извел од Гаваон:
17. отидоа, па се задржаа во населбата Химам, близу до Витлеем, за да избегаат во Египет,
18. бидејки се плашеа од Халдејците, оти Исмаил, синот Натаниев го уби синот Ахикамов, Годолија, кого вавилонскиот цар беше го поставил за управник на земјата.

Глава 42

1. Потоа дојдоа сите војводи и Јоанан, синот на Кареја, и Језаниј, синот Осаин, и сиот народ, од мало до големо.
2. и му рекоа на пророкот Јеремија: 'Еве ја молбата наша пред тебе, помоли Му се на твојот Господ Бог за сиот овој остаток, зашто од многумина останавме малку, како што не гледаат твоите очи,
3. па твојот Господ Бог да ни го покаже патот, по кој треба да врвиме, и што треба да правиме.'
4. И им рече пророкот Јеремија: 'Ве чув, ке Му се помолам на вашиот Господ Бог, по молбата ваша, и се, што ке ви одговори Господ, ке ви го кажам, ни збор нема да сокријам од вас.'
5. Тие му рекоа на Јеремија: 'Господ нека ни биде вистински и верен сведок за тоа, дека ние ке направиме се, што твојот Господ ке заповеда за нас;
6. добро ли, лошо ли ке биде тоа, ние ке го послушаме гласот на нашиот Господ Бог, при Кого те пракаме, за да ни биде добро, ако бидеме послушни на гласот од Господа, нашиот Бог.'
7. По десет дни би слово Господово до Јеремија.
8. Тој го повика при себе Јоанана, синот Кареев, сите со него војводи и сиот народ - од мало до големо,
9. па им рече: вака вели Господ, Бог Израилев, - до Кого ме испративте да Му ја пренесам вашата молба
10. ако останете во оваа земја, Јас ке ве зацврстам и нема да ве разорам, ке ве посадам и нема да ве искоренам, зашто жалам за бедата, што ви ја направив.
11. Не бојте се од вавилонскиот цар, од кого се плашите, не бојте се од него, вели Господ, бидејки и Јас сум со вас, за да ве спасувам и да ве избавувам од неговата рака.
12. И ке покажам милост спрема вас, и тој ке се смили над вас и ке ве врати во вашата земја.
13. Ако, пак, речете: 'не сакаме да живееме во оваа земја' и не го послушате гласот на Господа, вашиот Бог, велејки -
14. 'не, туку ке отидеме во земјата Египетска, каде што нема да видиме војна и нема да чуеме трубен глас, и нема да гладуваме, таму ке живееме',
15. тогаш чујте го сега словото Господово, вие, остатокот од Јуда: вака вели Господ Саваот, Бог Израилев: 'ако го свртите лицето свое, за да отидете во Египет, и отидете таму, за да се населите,
16. тогаш мечот, од кој се плашевте, ке ве постигне таму, во земјата Египетска, и гладот, од кого се боевте, секогаше ке ве следи во Египет, и таму ке умрете.
17. И сите, што ке го свртат лицето свое да отидат во Египет и таму да живеат, ке умрат од меч, од глад и од помор, и ниеден од нив нема да остане и нема да побегне од бедата што ке ја пратам врз нив.
18. Оти, така вели Господ Саваот, Бог Израилев: како што се излеа гневот Мој и јароста Моја врз жителите ерусалимски, така ке се излее јароста Моја врз вас, кога ке влезете во Египет, и ке станете за проклетство и за ужас, за поруга и за укор, и нема повеке да го видите ова место.
19. Господ ви зборува вам, остатоци Јудини: не одете во Египет; знајте, дека ви сведочам јас.
20. Оти вие згрешивте против самите себеси - вие ме пративте пред Господа, нашиот Бог, и ми рековте: 'помоли се за нас на Господа, нашиот Бог, а се што ке каже Господ, нашиот Бог, кажи ни, и ние ке извршиме.'
21. И еве, кога ви го кажав денес тоа, вие не го послушавте гласот на Господа, нашиот Бог, и сето она, со кое ме прати Он до вас.
22. Па така, знајте, дека ке умрете од меч, од глад и од помор во она место, каде што сакате да појдете, за да живеете таму.

Глава 43

1. Кога Јеремија му ги изговори на сиот народ овие зборови на нивниот Господ Бог, сите тие зборови со кои нивниот Господ го прати до нив,
2. тогаш Азанијј, синот Осаиев, и Јоанан, синот Кареев, и сите охоли лу е му рекоа на Јеремија: 'Тоа, што го зборуваш не е вистина; Господ, нашиот Бог, не те прати да кажеш - не одете во Египет, за да живеете таму'
3. туку Варух, синот Нириев, те наговори против нас, за да не предадеш во рацете на Халдејците, па да не убијат, или да не одведат како робови во Вавилон.'
4. И Јоанан, синот Кареев, сите војводи и сиот народ не го послушаа гласот на Господа, за да останат во земјата Јудејска:
5. Тогаш Јоанан, синот Кареев, и сите војводи го поведоа сиот остаток од Јудејците, кои се беа вратиле од кај сите народи, каде што беа прогонети, за да живеат во земјата јудејска;
6. мажи, жени, деца, царевите керки и сите оние, кои Навузардан, началник на телохранителите, ги остави со Годолија, синот на Ахикама, син Сафанов, и пророкот Јеремија, и Варуха, синот Нириев;
7. па отидоа во земјата Египетска, бидејки не го послушаа гласот на Господа, и стигнаа до Тафнис.
8. И би слово Господово до Јеремија во Тафнис:
9. земи во рацете големи камења и сокри ги во измесена глина пред влезот на Фараоновиот дом во Тафнис, пред очите на Јудејците,
10. и кажи им - вака вели Господ Саваот, Бог Израилев: еве, ке пратам и ке го доведам Навуходоносора, царот вавилонски, слугата Свој, и ке го поставам престолот негов врз овие камења што ги сокрив, и тој ке го распне над нив својот великолепен шатор
11. и ке дојде, па ке ја порази Египетската земја: и кој е за смрт, ке биде предаден на смрт; и кој е за ропство, ке отиде во ропство, а кој е за под меч - под меч.
12. Па ке запалам оган во светилиштата на боговите египетски; и тој ке ги изгори, а нив ке ги зароби, и ке се нагрне со Египетската земја, како пастир што се наметнува со облеката своја, па ке си отиде оттаму со мир.
13. И ке ги собори статуите на Бетсамис, што се нао аат во Египетската земја, и светилиштата на египетските богови ке ги изгори со оган.

Глава 44

1. Дојде словото Господово до Јеремија за сите Јудејци, кои живеат во Египетската земја, населени во Магдол, Тафнис, Ноф и во земјата Патрос -
2. вака вели Господ Саваот, Бог Израилев: вие ја видовте сета беда, што ја испратив врз Ерусалим и врз сите градови јудејски; ете, тие се сега запустени и никој не живее во нив,
3. поради нивната злоба, што згрешија, откако Ме разгневуваа, одејки да кадат и да служат на други богови, што не ги познаваа ни тие, ни вие, ниту татковците ваши.
4. И ги пракав при вас сите слуги Мои - пророците, ги пракав од рано утро, за да ви кажат: 'Не правете го тоа гнасно дело, што Ми е одвратно.'
5. Но тие не го приклонија увото и не слушаа, за да се одвратат од своето зло, да не кадат на други богови.
6. И Мојата јарост и Мојот гнев се излеа и се разгори врз градовите на Јудеја и по ерусалимските улици; тие станаа урнатини и пустелија, како што гледате сега.
7. А сега, вака вели Господ, Бог Саваот, Бог Израилев: зошто го вршите тоа големо зло на душите свои, истребувајки ги поме у себе мажите и жените, возрасните, децата и младинците во Јудеја, за да не оставите остаток, па,
8. бидејки Ме разгневувате со делата на рацете свои, со кадењето пред други богови во земјата Египетска, каде што дојдовте да живеете, та да се погубите самите себе и да станете за проклетство и укор кај сите народи по земјата?
9. Зар го заборавивте нечестието на вашите татковци и нечестието на јудејските цареви, вашето сопствено нечестие и нечестието на вашите жени, што го вршеа во земјата Јудејска и по ерусалимските улици?
10. Но, тие не се смирија ни до денес, не се бојат и не одат по Мојот закон и по Моите наредби, што ви ги дадова вам и на татковците ваши.
11. Затоа, вака вели Господ Саваот, Бог Израилев: ‘еве, ке го свртам против вас лицето Свое за погибел, и за да ја истребам цела Јудеја,
12. и ке го земам остатокот Јудеин што реши да замине во земјата Египетска и да живее таму, и ке бидат истребени сите; ке паднат во земјата Египетска и со меч и со глад ке бидат истребени; мало и големо ке умрат од меч и од глад, и ке бидат изложени на проклетство и ужас, за поруга и укор.
13. Ke ги посетам оние, што живеат во земјата Египетска, како што ги посетив Ерусалим, со меч, со глад и со помор,
14. и никој нема да избега и нема да се спаси од остатокот на Јудејците, кои дојдоа во земјата Египетска, за да живеат таму и потоа да се вратат во земјата Јудејска, каде што од се срце сакаа да се вратат, за да живеат таму; никој нема да се врати освен оние, што ке побегнат оттаму.‘
15. И сите мажи, кои знаеја дека жените нивни им кадат на други богови, и сите жени, што стоеја таму во големо множество, и сиот народ кој живееше во земјата Египетска, во Патрос, му одговорија на Јеремија и му рекоа:
16. 'Зборот, што ни го кажа во името Господово, ние не го слушаме;
17. туку ке правиме се што е излезено од устите наши: ке и кадиме на богињата на небото и ке и правиме преливи, како што го правевме тоа, ние и татковците наши, царевите наши и кнезовите наши, по градовите на Јудеја и по улиците ерусалимски, бидејки тогаш бевме сите во добра состојба и беди не видовме;
18. и, откако прекративме да и кадиме на богињата на небото и да и правиме преливи, трпиме секакви скудности и загинуваме од меч и од глад.
19. И кога и кадиме на богињата на небото и и принесуваме преливи, зар без знаење на нашите мажи и правиме лепчиња со нејзиниот лик или принесуваме преливи?'
20. Тогаш Јеремија му рече на сиот народ, на мажите и жените, и на сиот народ што така му одговараше:

21. 'Зар Господ не си спомна за кадењето, што го извршувавте во јудејските градови, по улиците ерусалимски, вие и татковците ваши, царевите ваши, кнезовите ваши и народот од земјата, и зар не влезе тоа во срцето Негово?
22. Господ не може веке да ги поднесува вашите лоши дела и одвратности, што ги правевте; затоа и земјата ваша стана пустиња, ужас и проклестство, без жители, како што гледате сега.
23. Затоа што кадевте и Му грешевте на Господа, не го слушавте гласот на Господа и не одевте според законот Негов, по наредбите Негови и по заповедите Негови, па затоа и ве постигна ова зло, како што гледате сега.'
24. Тогаш Јеремија му рече на сиот народ и на сите жени: 'Чујте го словото Господово, вие, сите Јудејци, што сте во земјата Египетска;
25. вака вели Господ Саваот, Бог Израилев: се што зборувавте со устата, тоа и со раце го правевте вие и жените ваши; вие велите: ‘да ги исполнуваме нашите завети, што ги ветивма, да и кадиме на богињата на небото и да и принесуваме преливи.‘ Навистина, вашите завети, ги одржавте и ги извршивте точно вашите ветувања.
26. Затоа сега чујте го словото Господово, вие, сите Јудејци, што живеете во земјата Египетска: еве, Јас се заколнав во Своето велико име, вели Господ, дека во сета Египетска земја нама повеке да се изговара името Мое од устата на кој и да било Јудеец, за да рече: ‘жив да е Господ Бог!‘
27. Еве, Јас ке бдеам над вас за погибел, а не за добро, и сите Јудејци во земјата Египетска ке загинат од меч и од глад, се додека не бидат наполно истребени.
28. Само малкумина оттргнати од мечот ке се вратат од земјата Египетска во Јудејската, а сите други Јудејци, што отидоа во земјата Египетска, за да поживеат таму, ке узнаат дека зборот ке се изврши: Мојот или нивниот.
29. И, еве ви знак, вели Господ, дека ке ве посетам на тоа место, за да знаете, дека ке се исполнат зборовите Мои за вас, за ваша погибел.
30. Така вели Господ: еве, Јас ке го предадам египетскиот цар, фараонот Вафрија, во рацете на непријателите негови и во рацете на оние, што ја бараат душата негова, онака како што го предадов јудејскиот цар Седекија во рацете на вавилонскиот цар Навуходоносора, непријателот негов, кој ја бараше душата негова.'

Глава 45

1. Слово кое пророкот Јеремија му го кажа на Варуха, синот Нириев, кога тој ги запиша во книга овие зборови од устата на Јеремија, во четвртата година на јудејскиот цар Јоакима, син Јосиев -
2. 'Вака вели Господ, Бог Израилев, за тебе, Варухе:
3. ти велиш - ‘тешко мене! оти Господ ми придодаде кон болката моја; изнемоштен сум од воздишки и спокој немам.‘
4. Кажи му вака: така вели Господ - еве, што сум направил ке разрушам, и, што сум посадил ке искорнам - целава оваа земја.
5. А ти за себе сакаш нешто големо: не барај; бидејки еве, Јас ке испратам беда врз секое суштество, вели Господ, а место плен ке ја оставам душата твоја насекаде каде и да појдеш.'

Глава 46

1. Слово Господово, упатено до пророкот Јеремија за незнабожечките народи:
2. за Египет, за војската на фараонот Нехао, цар египетски, која беше при реката Ефрат во Кархамис и која ја победи Навуходоносор, царот вавилонски во четвртата година на Јоакима, синот Јосиев, цар јудејски:
3. 'Пригответе ги штитовите и копјата и стапете во бој;
4. оседлајте ги коњите и качете се на нив, коњаници, и поставете ги шлемовите; наострете ги копјата, облечете се во оклопи.
5. А зошто, гледам, тие се уплашија и се свртија назад? Јунаците нивни се разбиени и бегаат, не обѕрнувајки се назад, страв од секаде, вели Господ.
6. Нема да побегна брзоногиот и нема да се избави силниот; на север, покрај реката Ефрат, ке се сопнат и ке паднат.
7. Кој е тој што се подига како поток и водите да му се брануваат како во река?
8. Египет се подига како река и водите му се разбрануваат како потоци, па вели: ке се кренам и ке ја покријам земјата, ке го уништам градот и жителите негови.
9. Седнувајки на коњите и впрегнувајки ги колите, излегувајте, и гинете, јунаци, Етиопјани и Лобијци, вооружени со штити, и Лидијци, што ги држите и затегнувате лаковите;
10. зашто овој ден е за Господа, Бога Саваота, ден за одмазда, за да им се одмазди на непријателите Свои; и меч ке изедува, ке се насити и ке се опие од крвта нивна; бидејки тоа ке се изврши за Господа Бога Саваота, како жртвен принос во северната земја, при реката Ефрат.
11. Оди во Галад и земи балсам, девојко, керко египетска; залудо ке трупаш лекови - исцеление за тебе нема.
12. Чуја народите за твојот срам, и пискотот твој ја исполни земјата; бидејки јунак со јунак се судрива, па обајцата па аат.'
13. Слово, кое Господ му го кажа на пророкот Јеремиј за доа ањето на Навуходоносора, царот вавилонски, за да ја порази земјата Египетска:
14. 'Соопштете во Египет, и кажете во Мигдол, јавете во Ноф и во Тафнис; кажете: ‘кажи и да се приготви оти мечот ке ги изеде околните населби.‘
15. Зошто е јунакот твој соборен? Не се одржа, оти Господ го собори;
16. Он направи така, што многумина се судруваа и па аа дури еден врз друг, велејки: ‘станувај да си појдеме при нашиот народ во својата родна земја, далеку од насилничкиот меч.‘
17. а таму викаат: ‘Фараонот, царот египетски, пропадна; го пропушти определеното време.‘
18. Жив сум Јас, вели Царот, чие име е Господ Саваот: ке дојде Он како Тавор ме у горите и како Кармил покрај Морето.
19. Подготви се за преселување, керко, жителко египетска, зашто Ноф ке биде опустошен, разорен, па не ке остане ниту еден жител.
20. Египет е убава јунечка: но погибелта иде, доа а од север.
21. И наемниците негови кај него не изгледаат како згоени телци, па и самите тргнаа да бегаат, побегнаа сите, не можеа да издржат, бидејки врз нив дојде нивниот погибелен ден, време за да им одмаздам.
22. Гласот нивни писка како глас на змија, тие доа аат со војска, ке дојдат врз него со секри како дрвари,
23. ке ја исечат шумата негова, вели Господ, бидејки се безбројни; повеке се отколку скакулците, па број немаат.
24. Засрами се, керко египетска, ти, која си предадена во рацете на северниот народ.
25. Господ Саваот, Бог Израилев, вели: еве, Јас ке го посетам Амона, кој живее во Ноф, Фараонот и Египет, боговите негови и царевите негови, Фараонот и оние што се надеваат во него,
26. И ке ги предадам во рацете на оние што ја бараат душата нивна и во рацете на Навуходоносора, царот вавилонски, и во рацете на слугите негови, но потоа тој ке биде

населен, како и во поранешните дни, вели Господ.
27. А ти, Јакове, слуго Мој, не бој се и не плаше се, Израеле: оти еве, Јас ќе те избавам од далечната земја и семето твое - од земјата на ропството нивно; и ќе се врати Јаков и ќе живее спокојно и мирно, и никој нема да го заплашува.
28. Не бој се, Јакове, слуго Мој, вели Господ, оти Јас сум со тебе. Јас ќе ги истребам сите народи, при кои те изгонив, но тебе нема да те истребам; само ќе те казнам тебе по мерка; неказнет нема да те оставам.'

Глава 47

1. Слово Господово што дојде до пророкот Јеремија за Филистејците, пред Фараонот да ја порази Газа.
2. Така вели Господ - еве, се креваат од север води, што ке се претворат во буен поток и ке ке ја потопат земјата и се што ја исполнува, градот и жителите во него: тогаш ке повикаа лу ето и ке заплачат сите жители на земјата.
3. Од топотот на копитата од силните коњи и од татнежот на неговите коли, од чкртањето на тркалата нивни, татковците не ке можат да управат поглед кон децата свои, бидејки рацете нивни ке им отпаднат
4. од оној ден што ке дојде да ги сотре сите Филистејци, да ги оттргне од Тир и Сидон сите други помошници, бидејки Господ ке ги разори Филистејците, остатокот од островот Кафтор.
5. Ke окелавее Газа, ке пропадне Аскалон и остатокот од нивната долина.
6. До кога ке сечеш, о мечу Господов, кога ке престанеш? Врати се во ножницата своја, престани и одмори се.
7. Но, како да се одмориш, кога Господ заповеда против Аскалон и против морскиот брег; натаму Он го определи.

Глава 48

1. За Моав вака вели Господ Саваот, Бог Израилев: тешко на Невон, бидејки ке биде опустошен; Киријатим ке се осрамоти, и ке се предаде; Мизгав ке се посрами и ке се вхаши.
2. Ke ја снема повеке славата на Моав; во Есевон ке преземаат зло против него: да отидеме за да го сотреме ме у народите. И ти, Мадмено, ке опустееш; меч ке те гони.
3. Се слушна пискот од Оронаим, пустошење и сотирање големо!
4. Моав е сотрен; пискот кренаа децата негови.
5. На искачување кон Лухит се слуша непрестаен плач; слегувајки од Оронаим, непријателот слуша ужасен викот поради пропаста.
6. Бегајте, спасувајте си ги животите свои и бидете како оголено дрво во пустиња.
7. Бидејки ти се надеваше на делата свои и на ризниците свои, затоа ке бидеш фатен, и Хамос ке појде во ропство заедно со свештениците и со кнезовите свои.
8. И ке дојде опустошител врз секој град, и нема ниеден град да се одржи; ке загине долината и ке запусти рамнината, како што вели Господ.
9. Подајте му крилја на Моав, за да може да полета; градовите негови ке станат пустиња, оти ке нема во нив кој да живее.
10. Нека е проклет секој, кој немарно го извршува делото на Господа, и нека е проклет кој го задржува мечот Негов од крв!
11. Од младоста своја Моав беше спокоен, и се гордееше на својата слава, и не се преточуваше од сад во сад и во ропство не беше отишол; затоа во него си останувaше вкусот негов, и мирисот негов не се менуваше.
12. Но, еве, идат дни, вели Господ, кога ке пратам врз него преливачи, што ке го преливаат и ке ги испразнат садовите негови и ке ги скршат стомните негови.
13. Па ке биде посрамен Моав заради Хамоса, како што беше посрамен домот Израилев поради Ветил, надежта негова.
14. Зошто вие велите: - ние сме лу е храбри и силни сме во бој?
15. Моав е сотрен, и градовите негови горат, и одбраните младичи негови појдоа на клање, вели Царот - Господ Саваот е името Негово.
16. Блиска е погибелта на Моав, и брз неговото зло.
17. Сожалете го сите негови соседи, и сите што го знаете името негово, речете: како се здроби мокниот жезал и славната патерица!
18. Слези од височината на величието твое и седни во жедната земја, керко, жителко на Дивон, бидејки опустошителот на Моав ке дојде при тебе и ке ги разруши тврдините твои.
19. Застани на патот и погледај ти, која живееш во Ароир, прашај го оној, што бега, и онаа, што гледа да се избави: што станува?
20. Засрамен е Моав, заштo е сотрен; плачете и викајте, соопштете во Арнон дека Моав е опустошен.
21. И суд дојде врз рамнината, врз Хелсон, врз Јаса и врз Мофат,
22. врз Девон, врз Невон и врз Бет - Девлатаим,
23. врз Киријат - Јарим, врз Бет - Гамул и врз Бет - Маон,
24. врз Кариот, врз Восор и врз сите градови на земјата Моавска, далечни и блиски.
25. Одбиен е робот на Моав и мишката негова е скршена, вели Господ.
26. Опијте го, заштo тој се крена против Господ; нека се валка Моав во блуеницата своја, и сам ке стане за потсмев.
27. Зар не стана при тебе Израил за потсмев? Зар не те најде фатен ме у крадците, па ти, кога зборуваше за него, само ја мавташе главата?
28. Жители Моавски, оставете ги градовите и живејте по карпите и бидете како гулаби, кои вијат гнезда при влезот на пештера.
29. Чувме за гордоста на Моав, гордост прекумерна, за неговата самоувереност и неговата надуеност, за неговото фалење и за горделивото негово срце.

30. Ја знам Јас дрскоста негова, вели Господ, но тоа е безнадежно; лагите негови нема ништо да направат.
31. Затоа, ке плачам за Моав и ке пиштам за целиот Моав; ке воздивнувам за оние во Кир - Харес.
32. Ке плачам за тебе, лозо севамска, како што плачев за Јазера; твоите лозинки се префрлуваат преку морето, стигаат до езерото Јазерско; сотирачот ги нападна твоите летни производи и зрелото грозје.
33. Радоста и веселбата се одзеде од Кармил и од земјата Моавска. Јас ке направа виното во буриња да заврши; никој веке нема да гази во каци со песни; боен повик ке име, а не радосен миг.
34. Од пискотот на Есевон до Елеала и до Јаца тие ке креваат глас од Сихор до Оронаим, до третата Егла, бидејки и водите на Нимрим ке пресушат.
35. Ке го сотрам Моав, вели Господ, оние што принесуваат жртви по незнабожечките светилишта и кои им кадат на боговите.
36. Затоа срцето Мое ке пишти за Моав како свирка, за жителите во Кир - Харес, срцето ке им биде како свирка, бидејки сите добра од нивните богатства пропаднаа;
37. на секого главата ке му биде гола и на секого брадата истрижена, кај сите на рацете ке има зарези, а околу бедрата врекиште.
38. По сите покриви на Моав и по неговите улици ке има само плач, бидејки Јас го уништив Моав, како непотребен сад, вели Господ.
39. Како е сотрен тој, ке речат, плачејки; како Моав се покри со срам, кога го сврти тилот, и ке биде Моав за потсмев и ужас, за сите, што го опкружуваат,
40. зашто вака вели Господ: ете, како орел ке летне тој и ке ги рашири криљата над Моав.
41. Градовите ке бидат победени и тврдините освоени, а срцето на храбрите Моавци ке биде во оној ден како срце на жена, што се измачува при породување.
42. И ке биде истребен Моав ме у народите, бидејки се крена против Господа.
43. Страв, јама и клопка околу тебе - жителу моавски, вели Господ.
44. Кој ке избега од ужасот, ке падне во јама; а кој ке излезе од јамата, ке падне во стапица; бидејки ке ја испратам врз него, врз Моава годината на нивната казна, вели Господ.
45. Под сенката на Есевон застанаа оние што бегаа од сила; но оган излезе од Есевон, и пламен среде Сихон, па ке го изгори крајот на Моав и темето на вознемирените синови.
46. Тешко тебе, Моаве! Пропадна народот од Хамос, бидејки синовите твои ти ги одведоа во ропство, и керките твои во - плен.
47. Но во последните дни ке ги вратам моавските заробеници, вели Господ. Дотука е судот за Моав.

Глава 49

1. За синовите Амонови вака вели Господ - зар Израилот нема синови, зар нема наследник, зошто Малхом ја наследи земјата на Гад и зошто народот негов се насели во неговите градови?
2. Затоа, еве идат дни, вели Господ, кога ке се чуе боен повик во Рава од синовите Амонови, и таа ке стане куп урнатини, и градовите нејзини изгорени и Израил ке ги победи оние, кои го победија него, вели Господ.
3. Плачи, Есевоне, зашто е опустошен Гад; викајте, керки на Рава; опашете околу себе кострет, плачете и трчајте околу плотовите; бидејки Малхом ке отиде во ропство, свештеници негови и кнезовите негови заедно.
4. Зошто се фалиш со долините? Твојата долина пропадна, керко одметничка, која се надеваш на богатството свое, велејки: ‘кој ке излезе против мене?‘
5. Еве, Јас ке испратам врз тебе ужас од сите страни твои наоколу, вели Господ, Бог Саваот; разбегајте се кој каде може и никој нема да ги собере разбеганите.
6. Но потоа Јас ке ги повратам заробените - синовите Амонови, вели Господ.
7. За Едома, вака вели Господ Саваот: зар нема веке мудрост во Теман, исчезна благоразумието кај разумните, зар ја снема нивната мудрост?
8. Бегајте, свртете се со грбот, кријте се по пештерите, жители дедански, зашто Јас ке ја испратам врз него погибелта Исавова, во време кога ке го посетам.
9. Ако би ти дошле берачите на лозјата при тебе, сигурно би оставиле некој пабирок. И крадци да дојдат во текот на нокта, тие би украле, онолку колку што им е потребно.
10. Јас, пак, Исава ке го оголам, ке ги откријам неговите скришни места и не ке може да се сокрие. Ке биде истребено племето негово, и браката негови, и соседите негови; и ке го снема.
11. Остави ги сираците свои, Јас ке го запазам животот нивни, и вдовиците твои нека се надеваат на Мене.
12. Оти, така вели Господ: ете, и оние, на кои не им беше судено да ја пијат чашата, ке ја пијат, па ти ли ке останеш неказнет? Не, нема да останеш неказнет, туку ке ја пиеш чашата.
13. Зашто се колнам во името Свое, вели Господ, дека Восор ке стане ужас, за потсмев, пустиња и проклетство, и сите негови градови ке се претворат во вечна пустиња.
14. Чув глас од Господа, и претеник е испратен кај народите да им каже: соберете се и појдете против него, дигнете се на војна.
15. бидејки, еве, ке те направам мал ме у народите, презрен ме у лу ето.
16. Твојата страшна положба и гордоста на твоето срце те измамија, тебе, кој живееш во камени пештери и ги држиш врвовите на ритчињата. Но, макар и како орел да направиш гнездо високо, и оттаму ке те сметнам, вели Господ.
17. И ке стане Едом пустош; секој, што ке помине покрај него, ке се зачуди и ке потсвирне, гледајки ги раните негови.
18. Како што беа разорени Содом и Гомор и нивните соседни градови, вели Господ, така и таму нема да живее ниту еден човек, и син човечки нема да престојува во него.
19. И, ете, како лав ке излезе од висините Јордански кон утврдените живеалишта; но Јас ке ги принудам брзо да излезат од Идумеја, и кој е избран, него ке го поставам над неа. Зашто, кој е подобен на Мене и кој ке побара одговор од Мене и кој пастир ке ми се спротиви?
20. Па така, чујте го решението на Господа, што го постави Он за Едома, и замислите Негови, што ги има за жителите темански: навистина, нив најмалите од стадото, ке ги развлечат и ке ги опустошат живеалиштата нивни.
21. Од шумот на нивниот пад ке се затресе земјата, и екот на нивното викање ке се чуе дури до Црвеното Море.
22. Ете, како орел ке се крене тој, ке полета и ке ги рашири крилјата над Восор; и срцето на храбрите Идумејци во оној ден ке биде како срце на жена, кога се породува.
23. Што се однесува, пак, до Дамаск - Емат и Арпад се осрамотија, зашто, штом ја чуја жалната

вест, опаднаа со духот; и, како разбрането море, тие не можат да се успокојат.
24. Се уплаши Дамаск и се сврти да бега; страв го обзеде; болки и маки го опфатија како жена, која се породува.
25. Како не се зачува градот на славата, градот на Мојата радост?
26. И така, ќе пакаат младите негови по улиците и сите војници ќе загинат во оној ден, вели Господ Саваот.
27. Па ќе запалам оган по ѕидовите на Дамаск, и ќе ги уништам дворците на Вендад.
28. За Кидар и за царствата асорски, што го победи Навуходоносор, царот вавилонски, вака вели Господ: станувајте, тргнете против Кидар и сосипете ги синовите на Исток!
29. Шаторите нивни и овците нивни ќе ги земат за себеси, и покривките нивни и сета нивна покуќнина, и камилите нивни ќе ги земат и ќе им викаат страшно од сите страни.
30. Бегајте, мавнете се што поскоро, сокријте се длабоко, жители асорски, вели Господ, оти Навуходоносор, царот вавилонски се реши против вас и смисли заговор против вас.
31. Станувајте, тргнете против мирниот народ, кој безгрижно живее, вели Господ; кај него нема ни врати, ни резиња, живеат сами.
32. Камилите нивни ќе станат плен и многуте стада нивни ќе бидат разграбени; и ќе ги растурам по сите ветрови, нив, кои си ги стрижат зулуфите, и од сите страни ќе испратам врз нив погибел, вели Господ.
33. И ќе стане Асор живеалиште на шакали, пустиња вечна; човек нема да живее таму и син човечки нема да се задржува во него.
34. Слово Господово, што беше кажано од пророкот Јеремија против Елама во почетокот од царувањето на Седекија, царот јудејски.
35. Вака вели Господ Саваот: еве, ќе го скршам лакот на Елама, неговата главна сила;
36. и ќе испратам проти Елама четири ветра од четирите краишта на небото, и ќе ги растурам Еламците по сите тие ветрови, и не ќе има народ, при кого нема да појдат прогонетите Еламци;
37. и ќе ги поразам Еламците со страв пред нивните непријатели и пред оние, што ја сакаат душата нивна; и ќе испратам врз нив беда, гневот Мој, вели Господ, и по нив ќе испратам меч, додека не ги истребам;
38. и ќе го поставам престолот Свој во Елам, и ќе го истребам таму царот и кнезовите, вели Господ.
39. Но во последните денови заробените Еламци ќе ги вратам, вели Господ.

Глава 50

1. Слово што Господ го кажа преку пророкот Јеремија за Вавилон и за земјата Халдејска:
2. 'Соопштете и разгласете ме у народите, подигнете знаме, објавете, не кријте ги, зборувајте: Вавилон падна, Вил е посрамен, Меродах е скршен, боговите негови се посрамени, идолите негови се скршени.
3. Зашто од север се подигна врз него народ, кој ке ја направи земјата негова пустиња, и никој нема да живее таму, и човек, и добиток, се ке се крене и ке се разотидат.
4. Во оние денови и во она време, вели Господ, ке дојдат синовите Израилеви, тие и синовите Јудини, заедно, ке одат, ке плачат и ке Го побараат својот Господ Бог;
5. ке прашаат за патот кон Сион и, свртени со лицето кон него, ке велат: одете и присоединете се кон Господа со вечен завет, кој нема да се заборави.
6. Народот Мој беше како загубено стадо; пастирите негови го оттргнаа од патот, па скитаа по планините; од гора на рид и го заборавија леглото свое.
7. Сите, што ги нао аа, ги изедуваа, и непријателите им велеа: не сме виновни, оти тие згрешиле пред Господа, пред живеалиштето на правдата, и пред Господа, надежта на татковците нивни.
8. Бегајте од Вавилон, заминете од земјата Халдејска и бидете како кози пред стадо од овци.
9. Зашто, еве, Јас ке подигнам и ке доведам врз Вавилон збир голем од народи од северната земја, и ке застанат против него, и тој ке биде преземен: стрелите негови, бидејки е искусен војник, напразно нема да се вракаат.
10. И Халдеја ке стане нивни плен; и оние, што ке ја опустошат, ке се наситат, вели Господ;
11. зашто вие, грабачи на Моето наследство, се веселевте, прославувавте, потскокнувавте од радост, како јунечки на трева, и ‘ржевте како бојни коњи.
12. За голем срем ке стане мајката ваша, ке црвенее онаа, што ве родила; ете, иднината на тие народи ке биде пустиња, земја сува и пустелија.
13. Од гневот Господен таа ке стане ненаселена и целата ке запусти; и секој, што ке мине низ Вавилон, ке се вчудовиди и ке си потсвирне, гледајки ги сите рани негови.
14. Наредете се во боен ред околу Вавилон, вие сите, кои затегнувате лак, стрелајте во него, не жалете ги стреилте, бидејки тој згреши против Господа.
15. Повикајте против него од сите страни; тој ја протегна раката; паднаа тврдините негови, испопа аа ѕидовите негови, зашто тоа е Господовата отплата; одмаздувајте му се; како што постапуваше тој, така постапувајте и вие со него.
16. Истребете во Вавилон и сеач, и оној, што работи со срп во жетва; од страв пред опасниот меч секој нека се врати при својот народ и секој нека бега во земјата своја.
17. Израилот е прснато стадо; го гонеа лавови; најнапред го гризеше асирскиот цар, а потоа Навуходоносор, царот вавилонски, и коските му ги здроби.
18. Затоа, така вели Господ Саваот, Бог Израилев: еве, Јас ке го посетам вавилонскиот цар и земјата негова, како што го посетив асирскиот цар;
19. и ке го вратам Израилот на неговото пасиште, и ке си пасе по Кармил и по Васан, и душата негова ке се наситува на гората Ефремова и во Галад.
20. Во оние дни и во она време, вели Господ, Јас ке ја побарам неправдата Израилева, и нема да ја има, и гревовите на Јуда и нема да се најдат; бидејки ке им простам на оние, што ке останат живи.
21. Појди против неа, против бунтовната земја и казни ги нејзините жители: пустоши и истребувај се по нив, вели Господ, и направи се што ти заповедав;
22. Шум голем од борба ке се крене по земјата и голем потрес.
23. Како се скрши и како се разби чеканот по целата земја, како ли Вавилон стана ужас ме у народите!
24. Јас поставив стапици за тебе, и те фатив, Вавилоне, иако не го предвиде ти тоа; ти се најде и беше фатен, зашто стана против Господа.

25. Господ ја отвори ризницата Своја и оттаму го зеде оружјето на гневот Свој, зашто тоа е дело на Господа Седржителот во земјата Халдејска.
26. Појдете против неа од сите краишта, отварајте ги житниците нејзини, газете ја како снопје, наполно истребете ја, та ништо да не остане од неа;
27. убивајте ги сите волови нејзини, нека одат на клање; тешко ним, бидејки дојде денот нивни, времето на нивната посета.
28. Се слуша глас од оние што бегаат и од оние што се спасуваат од Вавилонската земја, за да му го соопштат на Сион одмаздувањето Господово, на нашиот Бог, одмаздувањето за Неговото живеалиште.
29. Повикајте ги против Вавилон сите стрелци, кои запнуваат лак, сместете се околу него, за да не се избави никој од него, платете му според делата негови; како што постапуваше тој, така постапувајте и вие со него, бидејки тој се крена против Господа, против Светецот Израилев.
30. Затоа младите негови ке паднат по улиците негови, и сите војници негови ке бидат истербени во оној ден, вели Господ.
31. Еве, јас сум против тебе, о гордости, вели Господ, Бог Саваот; зашто дојде денот твој, времето на твојата посета.
32. И ке се сопне таа гордост и ке падне, и никој нема да ја крене; па ке запалам оган во градовите нејзини, и тој ке уништи се околу неа.
33. Така вели Господ Саваот: угнетени се синовите Израилеви, како и синовите Јудини, и сите што ги заробија, ги држат цврсто и не сакаат да ги пуштат.
34. Но Искупителот нивни е силен, Господ Саваот е името Негово; Он ке го разгледа делото нивно, за да ја смири земјата и да ги дотера во страв вавилонските жители.
35. Меч против Халдејците, вели Господ, и против жителите на Вавилон, и против кнезовите, негови, и против мудреците негови;
36. меч против ма епсниците негови, и тие ке избезумат; меч против војниците негови, и тие ке се уплашат;
37. меч против коњите негови, против колите негови и против сите разни племенски народи ме у него, и тие ке бидат како жени; меч против ризниците негови, и нив ке ги разграбаат;
38. суша за водите негови, и тие ке секнат; бидејки тоа е земја на идоли и тие се фалат со своите идолски страшилишта.
39. И таму ке се населат пустиски ѕверови со шакали, и ке живеат на неаноеви, а таа нема да биде населенеа довека и населувана од род во род.
40. Како што ги сосипа Бог Содом и Гомор, и нивните соседни градови, вели Господ, така и тука нема да живее ниту еден човек, и човечки син нема да се запира таму.
41. Ете, од север иде народ, народ голем и многу цареви се креваат од краиштата земни;
42. во рацете свои држат лак и копје; тие се жестоки и немилосрдни; гласот нивни бучи како море; јаваат на коњи, наредени се како еден човек, за да се удрат со тебе керко вавилонска!
43. Чу за нив вест царот вавилонски, и рацете му малаксаа; жал го обзеде, мака - како на жена, се породува.
44. Ете, излегува тој, како лав од височините Јордански кон утврдените живеалишта; но Јас ке го принудам да излезе бргу од него; и кој е избран, нему ке му го доверам, зашто кој е подобен на Мене и кој ке побара одговор од Мене, и кој пастир ке устои против Мене?
45. Па така, чујте го решението на Господа, што го определи Он против Вавилон, и Неговата замисла, што ја има за Халдејската земја; навистина, нив најмалите од стадата, ке ги повлечат; навистина, Он ке ги опустоши живеалиштата нивни зедно со нив.
46. Од шумот при преземањето на Вавилон ке се затресе земјата, и пискот ке се чуе ме у народите.'

Глава 51

1. Така вели Господ: еве, Јас ке подигнам уривачки ветар против Вавилон и против Моите противници, што живеат во него;
2. и ке испратам против Вавилон веачи, што ке го развеат, и ке ја опустошат земјата негова, бидејки во денот на неговата беда ке нападнат врз него од сите страни;
3. стрелец нека оптегне лак на стрелец, и против оној, што се гордее со својот оклоп; не штедете ги младите негови, сотрете ја целата војска негова.
4. Удрените нека паднат на Халдејската земја и стрелаnите - по патиштата нејзини.
5. Зашто, не е оставен Израилот сам, ниту Јуда, од својот Бог, Господа Саваота, иако им е земјата полна со гревови пред Светецот Израилев.
6. Бегајте од Вавилон и секој нека ја спасува душата своја, за да не загине од беззаконијата негови, зашто тоа е време на одмазда за Господа: Он му отплатува како што заслужил.
7. Вавилон беше во раката Господова како златна чаша, што ја опиваше целата земја; народите пиеја од неа вино, и обезумуваа.
8. Ненадејно падна Вавилон и се скрши; плачете за него, земете балсам за раните негови, можеби тој и ке оздрави.
9. Го лекувавме Вавилон, но не оздраве; оставете го, и да си одиме секој во земајта своја, бидејки пресудата за него стигна до небесата и се дигна до облаците.
10. Господ ја изведе на видело нашата правда; да појдеме и да го соопштиме во Сион делото на нашиот Господ Бог.
11. Остретe ги стрелите, ставете ги во торбите за нив; Господ го возбуди духот на царевите од Мидија; бидејки Он замисли нешто против Вавилон, за да го уништи, оти тоа е одмазда од Господа, одмазда за Неговото живеалиште.
12. На вавилонските ѕидови дигнете знамиња, засилете го надзорот, поставете стражи, пригответе заседи, зашто, како што замислил Господ, така и ке го направи она што го изрече против жителите вавилонски.
13. О, ти, што живееш покрај големите води, кој изобилуваш со ризници, дојде крајот твој, и на твојата лакомост!
14. Господ Саваот се заколна Сам во Себе: вистина велам, дека ке те исполнам со лу е како со скакулци, и ке подигнам повик против тебе.
15. Он ја создаде земјата со силата Своја, и ја утврди вселената со мудроста Своја и со разумот Свој ги распростре небесата.
16. Според гласот Негов шумат водите небесни, и Он ги подига облаците од краиштата земни, пушта светкавици со дожд и изведува ветер од клетовите Свои.
17. Безумен е човекот во своето знаење, секој леар се срамува со идолите свои, зашто идолот е лага, и нема дух во него.
18. Тоа е чиста суета, дела на заблуда; во времето на нивната казна тие ке исчезнат.
19. Делот на Јакова не е како делот нивни, зашто Бог е Создателот на се, и Израил е жезал на неговото наследство, името негово е Господ Саваот.
20. Ти беше Мој чекан, бојно оружје; со тебе народите ги победував и со тебе царства сосипував;
21. со тебе поразував коњ и неговиот јавач, и со тебе поразував кола и нејзиниот возач;
22. со тебе сотирав маж и жена, со тебе убивав стар и млад, со тебе уништував и момче и мома;
23. со тебе уништував пастир и неговото стадо, со тебе го убивав земјоделецот и неговиот добиток за работа, со тебе поразував и обласни началници и градски управители.
24. И ке му отплатам на Вавилон и на сите жители халдејски за сето она зло, што му го направија на Сион пред очите ваши, вели Господ.
25. Еве, Јас сум против тебе погубна горо, вели Господ, што ја разорува целата земја; и ке ја протегнам против тебе раката Своја, ке те сметнам од карпите и ке те направам обгорена

планина.
26. И од тебе нема да земат камен за агол, ниту камен за темели, туку ќе бидеш вечна пустелија, вели Господ.
27. Подигнете знаме на земјата, трубете со труба меѓу народите, вооружете ги против него народите, повикајте против него царства араратски, миниски и аскенаски, изберете водач против него, збоднете ги коњите како страшни скакулци.
28. Вооружете ги народите против него, царевите на Мидија, нејзините обласни началници и сите нејзини градски управители и целата земја, што и е потчинета.
29. Земјата се тресе и потреперува, оти над Вавилон се извршуваат замислите на Господа, за да ја направи земјата Вавилонска пустиња без жители.
30. Вавилонските борци престанаа да се борат, седат во свите тврдини; се исцрпи силата нивна, станаа како жени, живеалиштата нивни се изгорени, резињата нивни се скршени;
31. гласник брза по гласник, известувач спроти известувач, за да му кажат на вавилонскиот цар дека му е градот од сите страни освоен;
32. и дека бродовите му се земени, а оградите изгорени со оган, и дека војниците од страв се поразени.
33. Оти, вака вели Господ Саваот, Бог Израилев: керката вавилонска е како на гумно, кога се врши на него; уште малку и ќе дојде време за нејзината жетва.
34. Ме јадеше и ме гризеше Навуходоносор, царот вавилонски; ме направи празен сад; ме проголта како змеј; ја наполни својата утроба со сладостите мои, и ме фрли.
35. Неправдата над мене и над телото мое нека биде врз Вавилон, ќе рече жителката Сионова, и крвта моја - врз жителите халдејски, ќе рече Ерусалим.
36. Затоа вака вели Господ: еве, Јас ќе се застапам за твоето дело и ќе отплатам за тебе, па ќе го пресушам морето негово и ќе ги исушам каналите негови.
37. И Вавилон ќе стане купиште на урнатини, живеалиште на шакали, за ужас и за потсмев, без жители.
38. Како лавови ќе завиваат сите тие и како мали лавчиња ќе 'ржат.
39. А кога ќе се загреат, ќе им дадам гозба и ќе ги опијам, за да се развеселат, за да заспијат со вечен сон и да не се разбудат, вели Господ.
40. Ќе ги потерам како јаганца на клање, како овни заедно со козли.
41. Како се презеде Сесах, и беше победена славата на целата земја! Како стана Вавилон за ужас меѓу народите!
42. Морето го проголта Вавилон; тој е сега покриен од брановите.
43. Градовите негови станаа пустиња, сува земја, пустелија, земја каде што не живее ниту еден човек и каде што не поминува син човечки.
44. И ќе го посетам Вил во Вавилон и ќе истргнам од устата негова се што проголтал, и народите нема веќе да брзаат кон него, дури и ѕидовите вавилонски ќе паднат.
45. Излези од него, народе Мој, и секој нека ја спасува душата своја од јаросниот гнев Господен.
46. Нека не ослабува срцето ваше и не бојте се од гласот, што ќе се чуе по земјата; гласот ќе дојде во една година и потоа во друга година, и на земјата ќе се појави насилство, властодржец ќе стане против властодржец.
47. Затоа, еве, идат денови, кога ќе ги посетам идолите на Вавилон и целата негова земја ќе се засрами и сите негови поразени ќе паднат во него.
48. И ќе ликуваат над Вавилон небото и земјата и се друго што е во нив; зашто од север ќе му дојдат сотирачите, вели Господ.
49. Како што Вавилон направи да паднат на земја поразените Израилци, така во Вавилон ќе бидат соборени поразените по целата земја.
50. Вие, кои се спасивте од меч, бегајте и не запирајте се, сетете се од далеку за Господа, и на срцето ваше нека ви дојде Ерусалим.
51. Ни беше срам, кога ги чувме поругите; бесчестие ги покриваше лицата наши, кога туѓинци

влегоа во светилиштето на домот Господен.
52. Затоа, еве, идат дни, вели Господ, кога ќе ги посетам идолите негови, и по целата негова земја ќе офкаат ранетите.
53. Кога би се дигнал Вавилон и до небесата и кога високо би си ја зацврстил тврдината своја, од Мене ќе му дојдат опустошителите, вели Господ.
54. Екот и пискот ќе се подигнат од Вавилон, и рушење големо - од земјата Халдејска;
55. зашто Господ ќе го опустоши Вавилон, и ќе стави крај на неговиот горделив глас. Ќе зашумат брановите ќеко на големи води, ќе заечи неговиот шумен глас.
56. Оти ќе дојде врз него, врз Вавилон, опустошителот и ќе бидат фатени војниците негови, ќе бидат скршени лаковите негови; бидејќи Господ, Бог на отплатата, ќе отплати.
57. И ќе се опијат кнезовите негови и мудреците негови, неговите обласни началници и неговите градски управители, и војниците негови, па ќе заспијат со вечен сон и нема да се разбудат, вели Царот, Господ Саваот името е Негово.
58. Така вели Господ Саваот: дебелите ѕидови вавилонски ќе бидат разрушени до темели, и портите негови високи ќе бидат изгорени со оган; па така, залудно се трудеа народите, и племињата се грижеа за огнот.
59. Слово што пророк Јеремиј му го заповеда на Сераија, синот на Нирија, Масеев син, кога тој појде за Вавилон со Седекија, царот јудејски, во четвртата година од неговото царување; Сераија беше главен коморник.
60. Јеремиј ги запиша во една книга сите зла, што требаше да го снајдат Вавилон, сите тие зборови, што беа напишани против Вавилон.
61. И му рече Јеремија на Сераија: кога ќе влезеш во Вавилон, тогаш погледај и прочитај ги сите овие зборови,
62. и кажи: Господи, Ти рече за ова место, дека ќе го уништиш така, што да не остане во него ни човек, ни добиток, туку ќе стане вечна пустиња.
63. И кога ќе завршиш со читањето на оваа книга, врзи за неа камен, па фрли ја среде Ефрат,
64. и кажи: нека потоне Вавилон и да не се подигне од оваа беда, која Јас ќе ја испратам врз него, и тие наполно нека папсаат. Довде се зборовите на Јеремија.

Глава 52

1. Седекија беше на двесет и една година, кога почна да царува, и цаpуваше во Ерусалим
единаесет години; името на неговата мајка беше Хамутал, керка на Јеремија од Ливна.
2. И тој вршеше зло пред очите на Господа, сето она што го изврши Јоаким;
3. заради тоа гневот Господен се нафрли над Ерусалим и над Јуда, додека ги отфрли од лицето
Свое. А Седекија се одметна од вавилонскиот цар.
4. И во деветтата година од царувањето негово, во десеттиот месец, во десеттиот ден од
месецот, дојде Навуходоносор, вавилонскиот цар, тој и сета негова војска против Ерусалим, го
опседна и подигна околу него насипи.
5. И остана градот опсаден до единаесеттата година на царот Седекија.
6. Во четвртиот месец, во деветтиот ден од месецот, се засили гладот во градот, и народот во
земјата немаше леб.
7. Се направи пролом во градот и сите војници избегаа од градот ноке низ портите, што се нао
аа ме у двата ѕида до царската градина, па отидоа по патот кон пустелијата; а Халдејците беа
околу градот.
8. Но халдејската војска изврши потера по царот, и го стигна Седекија во јерихонските
рамнини, и сета војска негова се разбега од него.
9. И го фатија царот и го доведоа пред вавилонскиот цар во Ривла, во земјата Емат, каде што
му беше судено.
10. И така ги закла вавилонскиот цар синовите на Седекија пред очите негови, ги закла и сите
кнезови јудејски во Ривла;
11. а на Седекија му ги извади очите и заповеда да го окорат во бакарни окови; па го одведе
вавилонскиот цар во Вавилон и го стави во стражарницата до денот на неговата смрт.
12. Во петтиот месец, во десеттиот ден од месецот, тоа беше деветнаесеттата година на
вавилонскиот цар Навуходоносор, дојде во Ерусалим Навузардан, началникот на
телохранителите, кој му служеше на царот вавилонски,
13. и го запали домот Господен, царскиот дом и сите куки во Ерусалим, и сите големи куки со
оган ги изгори.
14. И сета војска халдејска, која беше со началникот на телохранителите, ги урна сите ѕидови
околу Ерусалим.
15. Навузардан, началникот на телохранителите, ги исели бедните и другиот народ, што беше
останал во градот, и одметниците, што му се предадоа на вавилонскиот цар, и воопшто сиот
прост народ.
16. Само неколкумина од бедните во земјата Навузардан, началникот на телохранителите, ги
остави како лозари и земјоделци.
17. Халдејците ги испокршија и бакарните столбови, што беа во домот Господен, и подножјата,
и бакарното море, кое беше во домот Господен, па го однесоа сиот бакар во Вавилон.
18. И ги зедоа котлите, лопатките, ножевите, чашите, лажиците и сите бакарни садови што се
употребуваа при богослужбата;
19. началникот на телохранителите ги зеде и умивалниците и машичките и чашите и
котлињата и кандилцата и секачите, се што беше од злато и што беше од сребро;
20. исто така, и двата столба, едно море, дванаесет бакарни волови кои служеа како подножја,
што царот Соломон ги направи во домот Господен; бакарот на сите тие предмети не можеше
да се процени.
21. Секој од тие столбови беше висок по осумнаесет лакти, а врв од дванаесет лакти ги
опкружуваше, одвнатре беше шуплив, а страните му беа дебели четири прсти.
22. И имаше над него бакарна глава, а главата беше висока пет лакти; и мрежичката на
наровите наоколу беа сите од бакар; исто така беше и другиот столб со нарови.
23. Наровите од сите страни беа деведесет и шест; а сите нарови околу мрежичката - сто.
24. Началникот на телохранителите го зеде исто така Сераија, првосвештеникот, и Софонија,

вториот свештеник, и трите чувари на прагот.
25. А од градот зеде еден дворјанин, кој беше началник над војниците, и седум мажи, што му служеа на царот, кои се нао аа во градот, и главниот писар во војската, кој го запишуваше народот од земјата за војска, како и шеесет мажи, од народот во земјата, најдени во градот.
26. И ги зеде Навузардан, началникот на телохранителите, и ги одведе при вавилонскиот цар во Ривла.
27. И ги уби вавилонскито цар и ги погуби во Равла, во земјата Емат; и така иселен беше Јуда од земјата своја.
28. Еве го народот, кој Навуходоносор го исели: во седмата година - три иљади и дваесет и тројца Јудејци.
29. Во осумнаесеттата година на Навуходоносора од Ерусалим беа иселени осумстотини триесет и две души;
30. Во дваесет и третата година на Навуходоносора, Навузардан, началникот на телохранителите, иссели седумстотини четириесет и пет души Јудејци; се на се - четири иљади и шестотини души.
31. Во триесет и седмата година по преселувањето на јудејскиот цар Јоаким, во дванаесеттиот месец, во дваесет и петтиот ден од месецот, Евилмеродах, цар вавилонски, во првата година од своето царување, го подигна јудејскиот цар Јоаким и го изведе од затвор.
32. И откако пријателски си поразговараа, го постави перстолот негов повисоко до престолите на другите цареви, што беа при него во Вавилон;
33. и му ги смени затворските облеки, па тој секогаш со него јадеше во сите дни од животот свој.
34. И трошоците негови, разните потреби, му се даваа од царот секој ден до денот на неговата смрт, во текот на сите денови од неговиот живот.

# Плач Еремиин

Глава 1

1. Како сам остана градот, некогаш полн со народ! Стана како вдовица; некогаш голем ме у народите; кнезот над областите сега плака данок.
2. Горко плаче ноке, а солзите му па аат по образите. Од сите оние што го сакаа, сега нема никој да го утеши; сите негови пријатели го извенерија и му станаа непријатели.
3. Поради беда и ропство Јуда се пресели; се насели ме у незнабошци, и не најде спокој; сите што го гонеа, го притеснија.
4. Патиштата на Сион тагуваат, зашто нема кој да оди на празник сите негови порти запустеа; свештениците воздивнуваат, момите негови се нажалени, а и самиот е беден!
5. Непријателите негови станаа глава; на противниците негови им е добро, бидејќи Господ испрати врз него тага поради неговите бројни беззаконија; децата негови отидоа во ропство пред непријателот.
6. И отиде од керката Сионова сета нејзина слава; кнезовите нејзини се како елени, што не нао аат пасиште; обесилени, тие тргнаа пред терачот.
7. Се присетува Ерусалим во деновите на својата беда и на своите страдања за сите свои убавини, што ги имаше во поранешните дни, а сега, пак, народот падна од непријателска рака, и нема кој да му помогне; непријателите гледаат на него и се смеат на неговите саботи.
8. Тешко згреши Ерусалим, па затоа стана и одвратен; сите што го почитуваа, сега го гледаат со презир, оти ја видоа голотијата негова; и тој самиот воздивнува и го свртува лицето назад.
9. Нечистотија имаше по полите негови, но тој не помислуваше за својата иднина, па заради тоа многу се понизи и падна, па нема сега кој да го утеши. 'Погледај, Господи, на мојата мака, зашто непријателот се возгордеа!'
10. Непријателот пружи рака над се што му беше најдраго; и тој гледа како незнабошците вегуваат во неговото светилиште, за кое си заповедал да не влегуваат во Твојот храм.
11. Сиот негов народ воздивнува, барајки леб, ги дава своите скапцени работи за храна - душата да ја поткрепи. 'Погледај, Господи, и види колку сум презрен!'
12. Нека не ве снајде ова сите вас, кои врвите по патот. Погледајте и видете - има ли болка каква што е мојата болка, која ме постигна, каква што Господ ја испрати врз мене во денот на Својот пламенен гнев?
13. Он испрати оган одозгора во коските мои, и огнот ги опфати; распосла мрежа за нозете мои, ме кутна ничкум, ме направи беден и да тагувам секој ден.
14. Јаремот на беззаконијата мои го стегна со раката Своја; тие се испреплеткани и ми се искачија на вратот; Он ја ослаби силата моја; Господ ме предаде во раце, од кои не можам да се подигнам.
15. Сите јунаци од мојата средина Господ ги собори; свика против мене собрание за да ги истреби младичите мои, како во каца ја изгази Господ девојката, керката Јудина.
16. Заради тоа јас плачам: окото мое, окото мое солзи лие, зашто далеку е од мене утешителот, кој би ја оживеал душата моја; синовите мои пропаднаа, бидејќи непријателот ги надвладеа.
17. Сион ги протега рацете, но за него нема утешител. Господ заповеда за Јакова, па го опколија непријатели; Ерусалим стана нечистотија ме у нив.
18. Праведен е Господ, зошто не му се покорував на словото Негово. Чујте, сите народи, и погледнете ја мојата болка; момоите мои и момчињата мои отидоа во ропство.
19. Ги повикувам пријателите свои, но тие ме измамија; свештениците мои и старешините мои умираат во градот, барајки храна за да ја поткрепат душата своја.
20. Погледај, Господи, оти сум притеснет, утробата моја се буни, срцето ми се превртува, бидејќи жестоко се противев на Тебе; однадвор меч ме остави без чеда, а дома - смрт.
21. Слушаат како офкам, а утешител немам; за мојата невоља чуја сите мои непријатели и се зарадуваа, бидејќи Ти го направи тоа; о, да беше му заповедал на претскажаниот ден да дојде, па и тие да станат како мене.

22. Нека се појави пред Тебе сета злоба нивна; и постапи со нив како што постапи со мене за сите мои гревови, оти тешки се офкањата мои, и срцето мое малаксува.

Глава 2

1. Како ја помрачи Господ во гневот Свој керката Сионова! Од небесата ја симна славата
Израилева и не се потсети за подножјето на нозете Свои во денот на Својот гнев.
2. Господ ги сотре сите живеалишта на Јакова, не ги поштеди; ги разруши во јароста Своја сите
тврдини на керката Јудина, ги кутна на земја, ги отфрли царството негово и кнезовите негови,
како нечисти.
3. Во жестокиот гнев Свој ги скрши сите рогови Израилеви, ја повлече десницата Своја од
непријателот и се разгори против Јакова како огнен пламен, кој проголтува се наоколу;
4. го затегна лакот Свој како непријател, ја управи десницата Своја како непријател и уби се
што е мило за очите; врз скинијата на керката Сионова ја излеа како оган јароста Своја.
5. Господ стана како непријател, го истреби Израилот, му ги разори сите домови негови, ги
разруши тврдините негови и умножи при керката Јудина тага и плач.
6. И ја сруши оградата Своја како од градина; го разори местото Свое во собранието, Господ
направи на Сион да се заборавaат поразниците и саботите; и во Своето гневно негодување
отфрли и цар и свештеник.
7. Го отфрли Господ жртвеникот Свој, го одврати срцето Свое од светилиштето Свое, ги
предаде на непријателите ѕидовите на дворците нивни; во домот Господен тие се развикаа
како во празничен ден.
8. Господ реши да ја разруши карпата на керката Сионова, оптегна јаже, не ја одврати раката
Своја од разрушувањето; ги сосипа надворешните тврдини, и ѕидовите беа заедно со нив
разрушени.
9. Портите нејзини во земја потонаа; Он ги разруши и ги уништи резињата нивни; царот нејзин
и кнезовите нејзини се ме у незнабошците; нема веке закон, и пророците нејзини веке не се
удостојуваат со виденија од Господа.
10. Старешините на керката Сионова седат на земи и молчат, си ги посипуваат со пепел
главите свои, се препашуваат со врекиште; ги наведнале главите кон земјата девојките
ерусалимски.
11. Ми се истрошија од солзи очите мои, утробата ми се превртува, срцето ми се кине, зашто
гине керката на мојот народ, кога децата и цицалчињата умираат од глад по плоштадите на
Ерусалим.
12. Умирајки како ранети по градските улици, тие им велат на мајките свои: 'каде има жито и
вино?' и ги испуштаат душите свои во мајчините прегратки.
13. Што да ти кажам и со што да те споредам, керко ерусалимска? Што да ти направам, за да
те утешам, девојко, керко Сионова? Зашто раната твоја е како море голема; кој може да те
исцели?
14. Пророците твои ти кажуваат работи неостварливи и лажни, не ги откриваа твоето
беззаконие, за да те одвратат од твоето ропство, и искажуваа лажни откровенија, кои те
доведоа до прогонство.
15. Раце плескаат за тебе сите што минуваат по пат, си потсвирнуваат и си ги нишаат главите
за керката ерусалимска, па велат: 'Ова е градот, што го нарекуваа совршенство на убавината,
радост на целата земја?'
16. Ги отвориле устите на тебе сите непријатели твои, си потсвирнуваат и си крцкаат со
забите свои, велејки: 'Го проголтавме, та само овој и ден го чекавме ние, го дочекавме и го
видовме!'
17. Господ го изврши она, што беше определил, го исполни зборот Свој, изречен во
поранешните времиња, безмилосно го разори и го предаде на непријателот, за да се порадува
над тебе, го крена високо рогот на твоите непријатели.
18. Срцето нивно повикува кон Господа. Карпо на керката Сионова! Лиј солзи дење и ноке, не
давај си мир, не затворај ги зениците на очите свои!
19. Станувај, викај ноке при почетокот на секоја стража; изливај го како вода срцето свое пред

лицето на Господа; протегај ги кон Него рацете свои за душата на децата свои, кои умираат од глад по аглите на сите улици.
20. 'Погледај, Господи, и види: кому си му направил вака - жените да го јадат плодот свој, младенците, од нив отхранети? Во светилиштето Господово да биваат убивани свешеник и пророк?
21. Децата и старците лежат на земи по улиците; момите и момците мои паднаа од меч; Ти ги убиваше во денот на Твојот гнев, колеше безмилосно.'
22. Како на празник ги повика сите мои ужаси, и во денот на гневот Господен никој не се спаси, никој не побегна; оние, што бев ги отхранила и одгледала, непријателот ми ги истреби.

Глава 3

1. Јас сум човек, кој видов мака од жезалот на Неговиот гнев;
2. Он ме поведе и воведе во темнина, а не во светлина.
3. Оне се обрна само против мене и цел ден ме биеше со раката Своја;
4. го сплеска телото мое и кожата моја, ги здроби коските мои;
5. ме загради и ме опколи со горчила и маки;
6. ме постави во темно место, како одамна умрените;
7. ме огради со ѕид, за да не изгегувам, ми направи тешки вериги;
8. и, кога викав и пискав, ја задржуваше молитвата моја;
9. со камења ги прегради патиштата мои, ги искриви патеките мои.
10. Он стана за мене како мечка во заседа, како лав на скришно место;
11. ги искриви патиштата мои и ме раскина, ме уништи;
12. го затегна лакот Свој и ме постави како цел за стрела;
13. ги прострела бубрезите мои со стрели од торбата Своја.
14. Станав потсмев за сиот народ мој, негова секојдневна песна.
15. Ме презасити со горчила, со пелин ме напои;
16. со камен ми ги скрши забите мои, со пепел ме покри.
17. Избега мирот од душата моја; заборавив за добри работи
18. и реков: ја снема силата моја и надежта моја од Господа.
19. Помисли на моето страдање и на мојата мака, за пелинот и за жолчката.
20. Душата моја силно се секава на тоа и отпа а во мене.
21. Еве што му одговорив на срцето мое и поради тоа имам надеж:
22. по милоста на Господа не загинавме наполно, бидејки милосрдието Негово не е пресекнато;
23. тоа се обновува секое утро; верноста Негова е голема!
24. Гсопод е дел мој, ми вели душата, па така на Него ке се надевам.
25. Добар е Господ кон оние, кои се надеваат на Него, кон душата, која Го бара.
26. Добро му е на оној, кој треперливо го очекува спасението од Господа.
27. Добро е за човекот да го носи јаремот свој во младоста своја.
28. Сам ке седи и ке молчи, бидејки Господ му го ставил бремето на него.
29. Нека ја допре устата своја до земјата, можеби уште има надеж.
30. Го подава образот свој на оној, кој бие, да трпи навреди до презастување,
31. бидејки Господ не отфрла за навек.
32. Пратил ли невоља, Он и ке се смилува според Својата голема милост.
33. Зашто Он не по вољата на Своето срце ги казнува и ги огорчува синовите човечки.
34. Но, кога ги газат со нозете сите затвореници на земјата,
35. кога неправедно го осудуваат човека пред лицето на Севишниот,
36. кога го притеснуваат човека во неговата работа: зар Господ не гледа?
37. Кој вели - 'бива и она што Господ не заповедал да биде?'
38. Зар не доа аат и злото и доброто од устата на Господа?
39. На што се жалат живите лу е? Секој за гревовите свои?
40. Да ги испитаме и да ги истражиме патиштата свои и да се обрнеме кон Господа.
41. Нека го подигнеме срцето свое и рацете свои кон Бога, Кој е на небесата.
42. Ние згрешивме и се противевме, Ти не не поштеди.
43. Ти се облече со гнев и не прогони, не умртвуваше, и не не жалеше;
44. Ти се сокри во облак, за да не достигне молитвата наша;
45. смет и гнасотија не направи ме у народите.
46. Ги отворија против нас устите широко сите наши непријатели.
47. Ужас и јама, пустош и разорение - тоа е делот наш.
48. Потоци солзи лее окото мое за погибелта на керката од мојот народ.

49. Окото ми се прелива и не престанува, бидејки нема одмор
50. се додека Господ не погледне милостиво и види од небесата.
51. Окото мое е причина да страда душата моја заради сите керки на мојот град.
52. Постојано се силат непријателите мои да ме уловат како птичка, без никаква причина.
53. Го фрлија во јама животот мој и ме засипаа со камења.
54. Водата се подигна над главата моја; па си реков - 'загинав.'
55. Го призвав името Твое, Господи, од јамата длабока.
56. Ти го чу гласот мој; не прикривај го увото Свое од мојата воздишка и од мојот плач!
57. Ти се приближуваше, кога ке повикав кон Тебе, и велеше - не бој се!
58. Ти го заштитуваше, Господи, делото на мојата душа; го откупуваше мојот живот.
59. Ти го гледаш, Господи, моето притеснување; пресуди го делото мое.
60. Ти ја гледаш сета одмазда нивна, сите намери нивни против мене.
61. Ти ги слушаш, Господи, наврeдите нивни, сите намери нивни против мене,
62. зборовите на оние, што стануваат против мене, и лукавствата нивни против мене секој ден.
63. Погледај, седнат ли, станат ли, јас сум песна за нив.
64. Отплати им, Господи, според делата на рацете нивни;
65. прати им помрачение на срцето нивно и проклетсвото Твое врз нив;
66. гони ги, Господи, со гнев и истреби ги од поднебјето!

Глава 4

1. Како потемна златото, како се измени најчистото злато! Камењата од светилиштето се расфрлени по сите крстопати.
2. Синовите на Сион, некогаш ценети како најчисто злато, а сега ги ценат како земјани садови, дела на грнчарски раце!
3. Дури и ѕверовите подаваат града и ги хранат рожбите свои, а керката на мојот народ стана жестока како ној во пустиња;
4. јазикот на цицалчето се прилепува до непцето поради жед; децата бараат леб, но никој не им подава.
5. Оние, што јадеа слатки, гинат по улиците; одгледаните во скерлет, се валкаат во смет.
6. Казната за бесчестието на керката на мојот народ ја надминува казната на Содом; тој беше срамнет за миг, и раце човечки не се допреа до него.
7. Кнезовите и беа почисти од снег, побели од млеко; тие беа телесно поубави од корал, изгледот им беше како сафир;
8. а сега лицето им е потемно од се што е црно; не ги узнаваат ни улиците; кожата им се прилепила за коските, па станала сува како дрво.
9. Убиваните со меч се почестите од оние, што глад ги убива, зашто тие чезнеат поради недостиг од полски плодови.
10. Дури и жалостивите жени ги вареа со рацете децата свои, за да им бидат храна, кога гинеше керката на мојот народ.
11. Господ го исполнуваше Својот гнев, ја излеа јароста од гневот Свој, и на Сион запали оган, кој ги проголта основите негови.
12. Царевите земни и сите жители по вселената не веруваа, дека противникот и непријателот влегол во портите ерусалимски.
13. Сето тоа е поради гревовите на лажните пророци, поради беззаконијата на свештениците негови, кои ме у него проливаа крв на праведници;
14. скитаа по улиците како слепи, се осквернуваа со крв, така што не беше можно човек да се допре до одеждите нивни.
15. 'Отстранете се, нечисти!' им викаа; 'отстранете се, отстранете се, не допирајте се!' и тие се отстрануваа посрамени; а ме у народот се зборуваше: 'нив ке ги нема веке!'
16. Лицето на Господа ги расеа; Он нема веке милостиво да ги погледне, бидејки тие не го почитуваа лицето на свештениците, кон старците милост немаат.
17. Очите ни се веке истрошени, очекувајки залудо помош; од нашата стражарска кула чекавме народ, кој не можеше да не спаси.
18. А тие демнеа на стапките наши, за да не можеме да одиме по улиците наши; нашиот крај наближува, деновите наши се исполнија; крајот ни дојде.
19. Оние, што не гонеа, беа побрзи од орлите небески; по горите не гонеа, ни поставуваа заседи по пустињите.
20. Духот на нашиот живот, помазаникот Господен, уловен е во нивните јами; оној, за кого велевме - под сенката негова ке живееме ме у народите.
21. Радувај се и весели се, керко Едомова, жителко на земјата Уц! И до тебе ке дојде чашата: ке се опиеш и ке се разголиш.
22. Керко Сионова, казната за твоето беззаконие се сврши; Он нема повеке да те гони; но беззаконието твое, керко Едомова, Он ке го казни и ке ти ги разоткрие гревовите твои.

Глава 5

1. Спомни си, Господи, што не снајде; милостиво погледај и види ја поругата наша!
2. Наследството наше мина на ту инци, куките наши - на лу е од други племиња;
3. останавме сираци, без татко; мајките наши се како вдовици.
4. водата своја ја пиеме за сребро, дрвата наши ги купуваме со пари.
5. На вратот имаме јарем, и не гонат; исцрпени сме и не ни даваат да здивнеме.
6. Протегаме рака кон Египтјаните, кој Асирците, за да се нахраниме со леб.
7. Татковците наши грешеа: нив ги нема веке, а ние трпиме казна за нивното беззаконие.
8. Робовите ни се господари, а нема кој да не избави од рацете нивни.
9. Лебот го добиваме со страв - пред мечот во пустињата.
10. Кожата ни поцрнела како печка од лут глад.
11. Жените ни ги бесчестат на Сион, девојките - во градовите јудејски.
12. Кнезовите ги изобесија со свои раце, лицата на старците не ги почитуваа.
13. Младичите носеа рачници, а децата па аа под товари дрва.
14. Старците веке не седат пред портите; младичите не пеат.
15. Се сврши радоста на срцето наше; нашите ора се претворија во тага.
16. Падна венецот од нашата глава; тешко нам, што згрешивме!
17. Поради тоа и чезнее срцето наше; поради тоа и потемнеа очите наши.
18. Бидејќи запусте горaта Сион, лисици одат по неа.
19. Ти, Господи, остануваш вечно; престолот Твој е од род во род.
20. Зошто наполно не заборaваш, не оставаш долго време?
21. Обрни не кон Себе, Господи, и ние ке се обрнеме; обнови ги деновите наши како во старо време.
22. Зар наполно си не отфрлил, зар без мерка си се разгневил на нас?

# Езекиел

Глава 1

1. Во триесеттата година, четвртиот месец, петтиот ден од месецот, кога бев ме у преселените при реката Ховар, се отворија небесата - и јас видов Божји виденија.
2. Во петтиот ден од месецот, а тоа е петтата година, откако беше заробен царот Јоаким,
3. би слово Господово до свештеникот Језекиила, синот Вузиев, во земјата Халдејска при реката Ховар; и беше таму раката Господова врз него.
4. И видов: ете, бурен ветар доа аше од север и голем облак во него, а околу оган сјаеше;
5. среде него светлина од злато и сребро; во средината негова, пак, видов призраци на четири животни - по обликот свој слични на човек;
6. секое од нив имаше по четири лица, и секое од нив - по четири крилја;
7. а нозете нивни - прави нозе, со перја, а стапалата нивни како телешки копита, и болскаа како сјаен бакар; крилјата, пак, нивни беа лесни.
8. А под крилјата нивни имаа човечки раце - на сите четири страни.
9. Четирите животни имаа свои лица и крилја, крилјата нивни се допираа едно до друго, а кога одеа, тие не се свртуваа, туку врвеа секое во правец на лицето свое.
10. Обликот на лицето нивно им беше како лице човечкио и лице лавовско од десната страна кај сите четири; а, пак, од левата страна - лице телешко при сите четири, и лице орловско кај сите четири животни.
11. И лицата нивни и крилјата нивни одозгора им без разделени, но при секое двете крилја се допираа едно до друго, а двете им ги покриваа телата нивни.
12. И одеа тие, секое во правец на лицето свое; на каде што духот сакаше да оди, натаму и одеа тие; и кога одеа, не се свртуваа.
13. Тие животни личеа на разгорени јагнени, на ламбади; огнот се движеше ме у животните, и огнена светлина и светкавица излегуваше од огнот.
14. Животните се движеа брзо натаму и наваму, како болскава молскавица.
15. И кога ги гледав животните, ете, на земјата до тие животни имаше по едно тркало спема четирите лица нивни.
16. Тркалата и обликот нивни изгледаше нешто слично на топаз, и сите четири си личеа едно на друго; и по изгледот и по обликот тие беа како тркало во тркало.
17. А кога одеа, се движеа во своите четири правци; кога се движеа не се свртуваа.
18. А наплатите нивни беа високи и страшни; наплатите кај сите четири наоколу беа полни со очи.
19. И кога одеа животните, се движеа и тркалата до нив; и кога животните се подигаа од земјата, се подигаа и тркалата.
20. Каде што духот сакаше да оди, натаму одеа и тие; накаде што духот ке тргнеше, и тркалата се подигнуваа подеднакво со нив, бидејки духот на животните беше во тркалата.
21. Кога одеа животните, одеа и тркалата; и кога стоеја животните, стоеја и тркалата; и кога оние се подигаа од земјата, се подигаа еднакво и тркалата, зашто духот на животните беше во тркалата.
22. Над главите од животните имаше нешто слично на свод небески, како проѕирен кристал издигнат одозгора над нивните крилја.
23. А под сводот се нао аа раширени крилјата нивни, свртени едно спроти друго, додека другите две им ги покриваа телата нивни.
24. А кога летаа, слушав шум од крилјата нивни, нешто како шум од многу води, како глас од Сесилниот Бог, силен шум; а кога одеа - како шум од воен логор, кога, пак, застануваа, ги спуштаа крилјата свои.
25. И од сводот над главите нивни се слушаше шум; и кога запираа, ги спуштаа крилјата свои.
26. Над сводот над главите, пак, имаше нешто слично на престол, како да беше од каменот сапфир; а на престолот - одозгора нешто слично на човек.
27. И видов потоа нешто како светнато злато и сребро, а внатре во него наоколу оган - од

бедрата угоре; а од бедрата удолу - видов слично на оган, околу кого имаше светлина.
28. Како што изгледа виножитото во облаци, во дождовен ден, таква беше таа светлина наоколу.

Глава 2

1. Такво беше видението на сјајот од подобието на славата Господова. Кога го видов тоа, паднав ничкум и го чув гласот на Оној, Кој ми зборуваше, и Он ми рече: 'Сине човечки, стани на нозе, и Јас ке говорам со тебе.'
2. И влезе во мене Дух, ме зеде и ме подигна и ме исправи на нозете мои, и Го чув Оној, Кој ми говореше.
3. Тогаш Он ми рече: 'Сине човечки, Јас те пракам при Израилевите синови, при непокорни лу е, кои се побунија против Мене; тие и татковците нивни Ме изневеруваа Мене дури до денешниов ден.
4. Тие се синови со огрубено лице и со жестоко срце; при нив те пракам и ти ке им кажеш - вака вели Господ Бог.
5. Дали ке те послушаат или нема да те послушаат, бидејки тие се дом отстапнички - но нека знаат дека ме у нив имало пророк.
6. А ти, сине човечки, не бој се од нив и не плаши се од нивните зборови, зашто ке се разбеснат и ке те навредуваат од сите страни; ме у нив ке живееш - како ме у трње и скорпии; не бој се од лицата нивни, зашто тие се дом отстапнички;
7. и кажувај им ги зборовите Мои - па слушале тие или не, бидејки се тие непокорни.
8. А ти, сине човечки, чуј што ке ти кажам: не биди како тој отстапнички дом; отвори ја устата и изеди го она што ке ти го дадам.'
9. И видов, ете, протегната рака спрема мене, и во неа - книжен свиток.
10. И Он ги разви пред мене, а свитокот беше напишан одвнатре и однадвор, и на него беше напишано: плач, жалост и офкање.

Глава 3

1. И ми рече: 'Сине човечки, изеди го тоа што е пред тебе, изеди го овој свиток, па оди и зборувај му на Израилот.'
2. Тогаш ја отворив устата и Он ми го даде свитокот за да го изедам.
3. Потоа ми рече: 'Сине човечки: устата твоја ке го изеде овој свиток и утробата твоја ке се насити со овој свиток, што ти го давам Јас.' И јас го изедов, а во устата почувствував сладост како мед.
4. И пак ми рече: 'Сине човечки, стани и појди во домот Израилев и кажи им ги Моиве зборови,
5. оти те пракам не кај народ непознат и со неразбирлив јазик, туку во домот Израилев,
6. не кај народ со неразбран збор и непоимлив јазик, чии зборови не можеш да ги разбереш; но дури и при нив да бев те пратил, и тие ке те разбереа;
7. а домот Израилев не ке сака да те слуша, тие не сакаат Мене да ме слушаат, бидејки сиот дом Израилев е тврдоглав и со жестоко срце.
8. И, ете, Јас го направив и твоето лице тврдо како нивните лица, и твоето чело ке го стврднам против нив.
9. Челото твое го направив како дијамант, кој е потврд од каменот; не бој се од нив и не плаши се од нивното лице, оти тие се дом отстапнички.'
10. И ми рече: 'Сине човечки, сите зборови Мои што ти ги кажувам, прими ги во срцето свое и слушај ги со ушите свои;
11. стани, па оди при изгонетите, при синовите на твојот народ, зборувај им и кажи им - вака вели Господ Бог - па послушале тие, или не.'
12. И Духот ме подигна; а зад себе чув голем грмотевичен глас: - 'Благословена е славата на Господа од местото Негово!'
13. А слушнам и шум од крилјата на оние животни, што се допираа едно до друго, како и шум од тркалата од нив, а и звук од силен гром.
14. Тогаш Духот ме подигна и ме понесе. И појдов огорчен, со нажален дух; но крепката рака Господова беше над мене.
15. И дојдов при робовите во Тел - Авив, при оние кои живееја при реката Ховар, и се задржав таму и поминав при нив седум дена, чудејки се.
16. А кога заминаа седумте дена, дојде до мене слово Господово:
17. 'Сине човечки, Јас те поставив како стража над домот Израилев, и ти ке го слушаш словото од устата Моја, и ке ги вразумуваш од името Мое.
18. Кога ке му речам на беззаконикот: ‘Бездруго ке умреш!‘, а ти не го вразумиш и не зборуваш, за да го запазиш беззаконикот од неговиот грешен пат, за да биде жив, - тогаш тој беззаконик ке умре во беззаконието свое, но крвта негова Јас ке ја барам од рацете твои.
19. А, ако го опоменеш беззаконикот и тој не се откаже од беззаконието свое и од грешниот свој пат, беззаконикот ке умре во беззаконието свое, а ти ке си ја спасиш душата своја.
20. И, ако праведник отстапи од правдата своја и постапи грешнички, кога Јас ке му ставам сопка, и умре, ако не си го предупредил, тој ке умре поради гревот свој, и нема да му се примаат парведните дела, што ги направил; но крвта негова ке ја барам од твоите раце.
21. Ако го опоменеш праведникот, за да не згреши, и тој не згреши, тогаш и тој ке биде жив, затоа што си го предупредил и ти ке си ја спасиш душата своја.'
22. И беше таму врз мене пак раката Господова, и Он ми рече: 'Стани и излези во полето; Јас ке зборувам таму со тебе.'
23. Станав, и излегов во полето, и ете, таму беше славата Господова, како славата, што ја видов при реката Ховар; и паднав ничкум.
24. И влезе во мене Духот и ме исправи на нозе, и Он говореше со мене и ми рече: 'Оди и затвори се во домот твој.
25. Сине човечки, ете, ке ти стават вериги, и ке те врзат во нив, и не ке можеш да излегуваш ме у нив.

26. А јас ке ти го залепам јазикот твој за непцето, и ти ке онемееш, и не ке можеш да ги изобличуваш, зашто тие се дом отстапнички.
27. А кога Јас ке зборувам со тебе, тогаш ке ти ја отворам устата твоја и ти ке им зборуваш: вака вели Господ Бог! Кој сака да слуша, нека слуша; а кој не сака да слуша - нека не слуша; оти тие се дом отстапнички.'

Глава 4

1. 'А ти, сине човечки, земи една тула и стави ја пред себе и нацртај го на неа Ерусалим;
2. и постави опсада околу него, направи тврдина спрема него, направи и насипи околу него, постаи логор против него и нареди наоколу спроти него машини за уривање ѕидови.
3. Потоа земи железна плоча и постави ја како железен ѕид ме у себе и градот, па сврти го лицето свое спроти градот и тој ке биде опседнат, опседнувај го ти. И тоа ке биде знак за домот Израилев.
4. Ти, пак, легни на својата лева страна и стави го врз неа беззаконието на домот Израилев; според бројот на деновите, - сто и педесет - во кои ке лежиш врз неа, толку ке го носиш беззаконието нивно.
5. А Јас ти ги определив годините на беззаконието нивно според бројот на деновте; триста и деведесет денови ке го носиш беззаконието на домот Израилев.
6. И кога ке ги исполниш, повторно легни, но сега на својата десна страна и четириесет денови носи го беззаконието на домот Јудин, ден за година, ден за година ти определив.
7. Па сврти го лицето свое и мишката на својата десна страна кон опсадениот Ерусалим, и пророкувај против него.
8. Ете, Јас поставив врз тебе окови, и ти не ке можеш да се свртиш од едната страна на другата, додека не ги исполниш деновите на твојата опсада.
9. Земи си пченица и јачмен, боб и лека, просо и ‘рж, и сипи ги во еден сад и направи си од нив лебови, според бројот на деновите, кога ке лежиш на страната своја, триста и деведесет денови ке ги јадеш.
10. И јадењата, со кои ке се храниш, јади ги со мерка, по дваесет сикли на ден; одвреме навреме јади го тоа.
11. И вода пиј со мерка, по шестина од ин; одвреме навреме пиј.
12. А ке ги јадеш јачмените питки и печи ги пред нивните очи на човечко убре.'
13. И рече Господ: 'Израилевите синови така ке јадат нечист леб ме у оние народи, кај кои ке ги прогонам.'
14. Тогаш реков: 'О, Господи Боже, душата моја никогаш не се осквернила и од младини па се досега никогаш не сум јал мрша и раскинато од ѕвер; и никакво нечисто месо не влегло во устата моја.'
15. И ми рече Он: 'Ти дозволувам место човечко убре, земи говедско убре, и на него печи го лебот свој.'
16. И пак ми рече: 'Сине човечки, еве во Ерусалим Јас ке ја скршам лебната потпора, и ке јадат леб со мерка и во жалост, и вода ке пијат со мерка и во тага,
17. зашто при нив ке снема леб и вода, и тие со ужас ке се гледаат еден со друг и ке умрираат во беззаконието свое.'

Глава 5

1. 'А ти, сине човечки, земи си остар нож, како берберски брич, па мини го преку главата своја и брадата, и земи мерила, и раздели ја косата на делови.
2. Третиот дел изгори го на оган среде градот, кога ке се завршат деновите на опсадата; вториот дел земи го и исечи го со нож по околината негова; а третата третина развеј ја на ветар; Јас, пак, ке го извлечам мечот по нив.
3. И земи од тоа, па врзи го тоа во полите од својата облека.
4. Но од тоа земи пак малку и фрли го во оган, и изгори го во огнот. Оттаму ке излезе оган врз целиот дом Израилев.
5. Така вели Господ Бог: тоа е Ерусалим. Јас го поставив среде народи, и го опкружив со земји.
6. А тој стана против наредбите Мои понечесно од незнабошците, и против Моите повелби - полошо отколку земјите околу него; зашто тие ги отфрлија наредбите Мои и не постапуваат според повелбите Мои.'
7. Затоа вака вели Господ Бог: 'Бидејки вие ги намноживте гревовите свои повеке од незнабошците, кои се околу вас, по Моите уредби не одите и наредбите Мои не ги извршувате, и не одите дури ни според уредбите на незнабошците, кои се околу вас.'
8. Затоа, вака вели Господ Бог: 'Ете, и Јас сум против тебе, јас Самиот, и ке извршам среде тебе суд пред очите на незнабошците.
9. Па поради сите твои одвратности, ке ти направам тебе, како што никогаш не сум направил, а нема и во иднина да направам.
10. Затоа таковците ке ги јадат синовите свои среде тебе, а и синовите ке ги јадат татковците свои; и ке извршам над тебе суд, и сиот твој остаток ке го развејам по сите ветрови.
11. Затоа, жив сум Јас, вели Господ Бог: бидејки ти го оскверни Моето светилиште со сите твои одвратности и со сите твои гадотии, Јас ке те смалам, и Моето око нема веке да те пожали, и Јас нема да се смилувам над тебе.
12. Третиот дел од тебе, од помор ке изумре и од глад ке загине среде тебе; втората третина од меч ке падне во твојата околина; а третината ке ја развеам од сите ветрови, и ке го извлечам мечот по нив.
13. Така ке се исполни Мојот гнев, и ке ја смирам Својата јарост над нив, и ке се задоволам; и кога ке се излее јароста Моја врз нив, тогаш ке разберат дека Јас, Господ, сум им зборувал во ревноста Своја.
14. Ке те претворам во пустиња и за поруга ме у народите, кои се околу тебе, пред очите на секој минувач.
15. Ке бидеш за потсмев и за поруга, за срам и ужас кај народите што се околу тебе, кога ке го извршам над тебе судот во гнев и јарост, и преку јаросни порази - Јас Господ го говорев тоа,
16. И кога ке пратам врз нив лути стрели на глад, што ке истребува, кога ке ги пратам за ваша погибел и за засилување на гладот при вас, и ке ја уништам лебната поткрепа кај вас.
17. А ке пратам врз тебе глад и лути ѕверови, кои ке те лишат од децата; и помор и крв ке мине преку тебе, ке испратам меч врз тебе; Јас, Господ го кажав ова.'

Глава 6

1. И би слово Господово до мене:
2. 'Сине човечки, сврти го лицето свое кон горите Израилеви и пророкувај против нив,
3. и кажи - планини Израилеви, чујте го словото на Господа Бога. Вака им вели Господ Бог на горите и на ридовите, на долините и на долиштата: 'Еве, Јас ке испратам меч врз вас, и ке ги кутнам вашите идолски светилишта;
4. и жртвениците ке ви бидат опустошени, и столбовите во чест на сонцето ке бидат искршени, и вашите убиени ке ги фрлам пред вашите идоли;
5. ке ги поставам труповите на синовите Израилеви пред нивните идоли, и ке ги расфрлам коските ваши околу вашите жртвеници.
6. Насекаде, каде што живеете, градовите ке ви бидат опустошени и идолските светилишта разурнати, за да бидат опустошени и уништени вашите жртвеници, за да бидат разбиени и уништени вашите идоли и искршени вашите сончеви столбови, и да ги снема делата од вашите раце.
7. Ме у вас ке има убиени, и ке узнаете дека Јас сум Господ.
8. Но Јас ке го запазам остатокот, така што ме у народите ке останат од вас што избегнале меч, кога ке бидете расеани по земјите.
9. И спасените ваши ке се сетат за Мене ме у народите каде што ке бидат одведени во ропство, кога ке им го скршам блудното срце, кое се одметна од Мене, и очите нивни, што блудствуваа ме у идолите; тогаш тие ке почувствуваат одвратност спрема себеси за злото што го вршеле во сите градови свои;
10. и ке разберат дека Јас сум Господ; и дека не залудо зборував, оти врз нив ке испратам таква беда.'
11. Вака вели Господ Бог: 'Плесни со рацете свои, тропни со ногата своја - тешко за сите поради одвратните злодејанија на домот Израилев; ке паднат тие од меч, глад и помор.
12. Кој е далеку, ке умре од помор, а кој е близу - ке падне од меч; а оној што ке остане и избегна, од глад ке умре; така ке заврши гневот Мој врз нив.
13. Ке разберат, дека Јас сум Господ, кога поразените ке лежат ме у своите идоли околу жртвениците нивни, на секој висок рид, на секој планински врв, под секое зелено дрво и под секој разгренет даб, таму каде што им принесуваа багопријатни кадива на своите идоли.
14. И ке ја протегнам врз нив раката Своја и ке ја направам земјата пустиња и степа повеке од пустињата Дивлат, насекаде, каде што живеат, и ке познаат, дека Јас сум Господ.'

Глава 7

1. И би слово Господово до мене:
2. 'Ти, сине човечки, кажи - така вели Господ Бог - свршеток на земјата Израилева; дојде свршетокот на сите четири краишта земни.
3. Ете, дојде свршетокот за тебе; и ке го пратам врз тебе гневот Свој, и ке ти судам според патиштата твои, и ке ги натоварам врз тебе сите гадотии.
4. И окото Мое нема да те зажали и нема да се смилувам, но ке ти платам според твоите патишта, гадотиите твои ке бидат со тебе и ке разберете дека Јас сум Господ.
5. Така вели Господ Бог: беда единствена, ете иде бедата.
6. Свршетокот дојде, дојде свршетокот, се крена против тебе: ете дојде.
7. Дојде напаста до тебе, жителу на овој крај, иде време, се приближува денот на смутот, а не на весели повици по планините.
8. Ете, наскоро ке ја излеам врз тебе јароста Своја и ке го завршам гневот Свој врз тебе, ке ти судам според твоите патишта ке ги натоварам врз тебе сите твои гадотии.
9. И окото Мое нема да те пожали, и нема да се смилува. Според твоите патишта ке ти отплатам, и твоите гадотии ке бидат со тебе; и ке узнаете, дека Јас сум Господ, Кој казнува.
10. Ете го денот, еве дојде, настапи напаста, процути жезалот, гордоста пупи.
11. Силата станува против жезалот на беззаконието: ништо нема да остане од нив, - ни од богатството нивно, ниту од шумата нивна, ниту, пак, од раскошот нивни.
12. Дојде времето, настапува денот: купувачу, не радувај се, продавачу не плачи, зашто гневот е врз нив сите.
13. Оти, кој продал, нема да се врати при продаденото, макар да останал жив; бидејки пророчкото видение за целото нивно множество нема да се одмени, и никој со беззаконието свое нма да го зацврсти животот свој.
14. Трубат со трубата и се се готви, но никој не оди во војна; оти Мојот гнев е врз сето нивно множество.
15. Надвор од куката - меч, а во куката - помор и глад. Кој се нао а во полето, од меч ке умре, а кој е во градот, него гладот и поморот ке го проголта.
16. А спасените од тоа ке избегаат и ке бидат во планините како гулаби од долина; сите тие ке стенкаат, секој за своето беззаконие.
17. На сите рацете ке им опаднат, и на сите колената ке им затреперат како вода.
18. Тогаш ке се опашат во врекишта и трепет ке ги опфати; и лицето на сите ке ги покрие срам и на главите - нивни ке има келавост.
19. Среброто ке си го исфрлаат по улици и златото нема да го почитуваат. Среброто нивно и златото нивно нема да биде во сила да ги спаси во денот на Господовата јарост. Тие нема да ги наситат со нив душите свои, и нема да ги наполнат утробите свои бидејки тоа беше причина за нивниот грев.
20. И со убавиот накит свој тие се гордееја и правеа уметнички творби за гадотиите свои со идоли; затоа ке го направам нечисто за нив.
21. И ке го дадам како плен во рацете на ту инци и на грешници земни, за да го разграбаат, и тие ке се осквернат.
22. И ке го одвратам од нив лицето Свое и ке го осквернат Моето сокриено место; и ке влезат таму грабители и ке го осквернат.
23. Проготвив вериги, оти таа земја е полна со крвави злодејства, и градот е полн со насилие.
24. Јас ке доведам најлоши народи и тие ке ги завладеат домовите нивни. И ке ставам крај на гордоста кај силните, и ке бидат осквернети и светињите нивни.
25. Иде погибелта; ке бараат мир и нема да го најдат.
26. Беда ке следува по беда и вест по вест; и ке бараат од пророкот видение и нема да има наука кај свештениците и совет кај старците.
27. Царот ке тажи, и кнезот ке се облече во ужас, и рацете на народот во земјата ке треперат.

Ќе постапам со нив според нивните патишта, според нивниот суд ќе ги судам; и ќе узнаат, дека Јас сум Господ.'

Глава 8

1. Во шестата година, во шестиот месец, на петтиот ден од месецот, седев дома, и старешините јудејски седеа пред Мене, и се спушти таму врз мене раката од Господа Бога.
2. И погледнав; а тоа подобие на маж слично на оган, и од крстот надолу оган, а од крстот негов угоре - некаква светлина слична на светлина од пламен.
3. И како да ја протегна раката своја и ме фати за косата на главата моја, и духот ме подигна ме у земјата и небото и ме занесе во Божји виденија во Ерусалим, при влезот на внатрешната врата, свртена кон север каде што беше поставен идолот на ревноста, кој побудува ревност.
4. И, ете, таму беше славата на Бога Израилев, слична на онаа каква што видов во полето.
5. И ми рече: 'Сине човечки, подигни ги очите свои спрема север!' Ги подигнав очите свои спрема север, а од северната страна при вратата на жртвеникот, пред влезот нејзин беше идолот на ревноста.
6. И ми рече Он: 'Сине човечки, гледаш ли што прават; ги гледаш ли големите гадотии, што се вршат тука во домот Израилев, за да се оддалечат од Моето светилиште. Но сврти се, и ке видиш уште поголеми одвратности.'
7. И ме доведе при влезот во дворот, па погледав, а таму дупка во ѕидот.
8. И ми рече: 'Сине човечки, копни во ѕидот.' Јас копнав во ѕидот и ете таму видов некаква врата.
9. И пак ми рече: 'Влези и види одвратни гадотии што се вршат таму.'
10. Влегов и гледам, а тоа секакви изобразени животни што се влечат, и нечисти животни, и секакви идоли, во домот Израилев, насликани по ѕидовите наоколу.
11. И седумдесетмина мажи од старешините на домот Израилев стојат пред нив, а Језаниј, синот Сафониев, поме у нив; и кај секого од нив во раката - кадилница, и густ облак од кадиво се издигаше угоре.
12. И ми рече: 'Гледаш ли, сине човечки, што прават во темнина старешините на домот Израилев, секој во својата изнашарена соба, оти велат: 'Не не гледа Господ, Господ ја остави оваа земја.'
13. И пак ми рече: 'Сврти се и ке видиш уште поголеми гадотии, што ги прават тие.'
14. И ме доведе до влезот на вратата од домот Господен, кој е кој север, и ете, таму седат жени, што го оплакуваа Тамуза,
15. и ми рече: 'Гледаш ли, сине човечки, сврти се и ке видиш уште поголеми гадотии.'
16. Па ме воведе во внатрешниот двор на домот Господен, а таму пред вратата на храмот Господен, ме у тремот и жртвеникот, до дваесет и пет мажи стојат со грбот кон храмот Господен, а со лицето кон исток и се клањаат на сонцето спрема исток.
17. И ми рече: 'Гледаш ли, сине човечки. Малку ли е тоа за домот Јудин, да вршат такви гадотии, какви што се вршат овде? Но тие и земјата ја наполнија со бесчестие, и двојно Ме разгневуваат, и, ете, тие принесуваат гранки под носевите свои.
18. Затоа и Јас ке почнам да дејствувам со јароста; окото Мое нема да зажали и нема да се смилува; па макар тие да викаат со силен глас на ушите Мои - нема да ги чујам.'

Глава 9

1. Извика на ушите Мои со силен глас и рече: 'Нека се приближат оние, што сакаат да го казнат градот, секој со своето убиствено оружје во рацете.'
2. И ете, шестмина лу е влегуваат од горната врата свртени кон север и кај секого во раката убиствено сечиво, а ме у нив еден облечен во ленена облека, а на појасот негов сапфир и дојдоа, па застанаа до бакарниот жртвеник.
3. И славата на Бога Израилев се спушти од херувимите, на кои беше, врз прагот на домот. Го повика Бог човекот, облечен во ленена облека и кој имаше на бедрата појас.
4. И му рече Господ: 'Мини по средината на градот, по средината на Ерусалим, и стави им знак на челата од лу ето, оние што жалат, кои воздивнуваат за гадотиите, што се вршат во него.'
5. А на оние чув да им каже: 'Одете по него во градот и убивајте; вашето око да не жали, и не штедете:
6. старец, момче и девојка, младенец и жена, бијте ги до смрт, но не гибајте ни еден од лу ето кои имаат знак, а почнете од моето светилиште.' И тие почнаа од старешините што стоеја пред домот.
7. И им рече: 'Осквернете го домот, наполнете го дворовите со убиени и излезете.' Тие излегоа и почнаа да убиваат по градот.
8. А кога убиваа, јас останав и паднав ничкум, извикав и реков: 'О, Господи, зар ке го истребиш сиот остаток на Израилот, изливајки го гневот Свој врз Ерусалим!'
9. И ми рече Он: 'Бесчестието на домот Израилев и Јудин е многу големо; и оваа земја е полна со крв, градот е исполнет со неправда; оти тие велат: ‘Господ ја остави оваа земја, Господ не гледа.‘
10. Затоа и окото мое нема да ги пожали и нема да се смилува; делата нивни ке ги свртам врз нивните глави.
11. И ете, човекот, облечен во ленена облека и со мастилница на појасот, одговори и рече: ‘Извршив како што ми заповеда‘.'

Глава 10

1. И видов, ете на сводот, што е над главите на херувимите, нешто како камен сапфир, како нешто да прилега на престол, се гледаше над нив.
2. И му зборуваше Он на човекот, облечен во ленена облека, па рече: 'Влези ме у тркалата под херувимите, земи полна рака рагорени јаглени од местото ме у херувимите и расфрли ги врз градот.' И тој влезе пред очите мои.
3. Херувимите, пак, стоеја од десната страна на домот, кога влезе оној човек, и облак го исполни внатрешниот двор.
4. И славата Господова се подигна од херувимот на прагот од домот и домот се исполни со облак и дворот се исполни со светлина од славата Господова.
5. И шумот од крилјата на херувимите се слушаше дури до надворешниот двор, како да е тоа глас од Бога Сесилниот, кога Он зборува.
6. И кога Он му даде заповед на човекот, облечен во ленена облека, му рече: 'ЗЕми оган од местото ме у тркалата, ме у херувимите', и кога тој влезе и застана ме у тркалата -
7. тогаш среде херувимите застана еден херувим, ја протегна раката своја кон огонот, што беше ме у херувимите, и зеде, па му даде една рака на облечениот во бела лененна облека. Тој зеде и излезе.
8. А под крилјата на херувимите се гледаа подобија слични на човечки раце.
9. И видов: ете четири тркала до херувимите, по едно тркало до секој херувим, а тркалата имаа изглед како да се од каменот топаз.
10. И сите четири по својот вид беа еднакви, како едно тркало да се нао аше во друго тркало.
11. Кога одеа, одеа на сите четири страни; кога одеа не се свртуваа, но одеа кон она место, каде што им беше свртена главата; кога одеа не се свртуваа.
12. И телото нивно и грбот нивни и рацете нивни, и крилјата нивни, и тркалата нивни наоколу беа исполнети со очи - сите имаа по четири тркала.
13. Тркалата се викаа, како што чув, галгал.
14. И секое животно имаше по четири лица: првото лице - лице херувимско, вторто лице - лице човечко, третото лице - лице лавовско и четвртото - лице орловско.
15. Херувимите се подигнаа. Тогаш видов дека тие беа истите животни што ги видов при реката Ховар.
16. Кога одеа херувимите, се вртеа до нив и тркалата; кога се подигаа крилјата нивни, за да се подигнат од земјата, тркалата не се одделуваа, туку беа при нив.
17. А кога стоеја, стоеја и тие; кога ке се подигнеа, се подигаа и тие, зашто во нив беше духот на животните.
18. И славата Господова се подгна од прагот на домот, па застана над херувимите.
19. И херувимите ги подигнаа крилјата свои и се подигнаа пред очите мои од земјата. Кога тргнаа, и тркалата беа до нив; па застанаа при влезот на источната врата од домот Господен, и славата на Бога Израилев беше над нив одозгора.
20. Тоа бе истите животни, што ги видов во подножјето на Израилевиот Бог при реката Ховар. И јас разбрав дека тоа се херувими.
21. Секој имаше по четири лица, и секој - по четири крилја, а под нозете слично на човечки раце.
22. Лицата им личеа како на оние лица, што ги видов при реката Ховар - од ист вид, тие истите. Секој одеше право во оној правец, што беше пред лицето негово.

Глава 11

1. Ме дигна духот и ме доведе пред источната врата на домот Господен, која гледаше кон исток. А таму - пред влезот на вратата дваесет и пет човека, и ме у нив го видов Јазанија, синот Азуров, и Фалтија, синот Ванеев, кнезовите народни.
2. И Он ми рече: 'Сине човечки, еве ги лу ето што на ум имаат да вршат беззаконија и кои му даваат лош совет во овој град,
3. велејки: ‘Уште е далеку; да си градиме домови; тој е котел, а ние - месо.‘
4. Затоа изречи против нив пророштво, пророкувај, сине човечки!'
5. И слезе врз мене Духот Господен и ми рече: 'Кажи - така вели Господ - она што го зборувате вие, доме Израилев, и она што ви иде на ум, тоа Јас го знам.
6. Многумина ваши убиени ги положивте во тој град, и улиците негови се исполнија со трупови.'
7. Затоа, вака вели Господ Бог: 'Убиените ваши, што ги оставивте среде него, се месо, а тој - котел; но вас Јас ке ве изведам од него.
8. Вие се боите од меч, а Јас ке испратам врз вас меч, вели Господ Бог.
9. И ке ви изведам од него, ке ве предадам во рацете на ту инци, и ке изршам суд над вас.
10. Од меч ке паднете; во пределите на Израилот ке ви судам, ке познаете, дека Јас сум Господ.
11. Он нема да биде за вас котел, и вие нема да бидете во него месо; во пределите Израилеви ке ви судам.
12. И ке познаете, дека Јас сум Господ; затоа што не ги извршувавте Моите наредби, туку одевте по наредбите на народите околу вас.'
13. И ете, кога пророкував, Фалтија, синот Ванеев, умре. И паднав ничкум, викав со силен глас и реков: О, Господи Боже, зар сакаш до крај да го истребиш остатокот на Израилот?'
14. И би слово Господово до мене:
15. 'Сине човечки, на браката твои, на твоите брака, на твоите еднокрвни и на сиот Израилев дом - на сите што живеат во Ерусалим, им велат: ‘живејте далеку од Господа, оваа земја дадена ни е нам да ја владееме.‘'
16. За ова кажи им: вака вели Господ Бог - 'макар и да ги оддалечив ме у народите и макар што ги распрснав по земјата, Јас за нив пак ке бидам како светилиште во оние земји, каде што отидоа.'
17. Потоа кажи им, вака вели Господ Бог: 'Јас ке ве соберам од кај народите и ке ве вратам од земјите, во кои сте се растуриле; и ке ви ја дадам земјата Израилева.
18. И ке дојдат таму и ке ве исфрлат од неа сите гадотии и сите нечистотии.
19. И ке им дадам едно срце, ке вложам во нив нов дух, ке го земам од телото нивно каменото срце и ке им дада срце од плот,
20. за да одат по Моите заповеди, да ги пазат Моите наредби и да ги извршуваат; и ке бидат Мој народ, и Јас ке бидат пак нивни Бог.
21. А чие срце, се поведе по гадотиите нивни и нечистотиите нивни, нивното поведение ке го свртам врз нивните глави', вели Господ Бог.
22. Тогаш херувимите ги подигнаа криљата свои, и тркалата беа до нив; и славата на Израилевиот Бог беше над нив одозгора.
23. И се крена славата Господова среде градот и застана над планината, што се нао а источно од градот.
24. И духот ме подигна и ме пренесе во видение, преку Духот Божји, во Халдеја, при преселените. И видението, што го имав, избега од мене.
25. И јас им ги пренесов на изгонените сите зборови Господови, што ми ги откри Он.

Глава 12

1. И би слово Господово до мене:
2. 'Сине човечки, ти живееш среде отстапнички дом: тие имаат очи да гледаат, а не гледаат имаат и уши да слушаат, но не слушаат; затоа што се тие дом отстапнички.
3. А ти, сине човечки, приготви си се што е потребно за преселување и сред бел ден пресели се пред очите нивни, пресели се од твоето место во друго место, пред очите нивни; можеби, тие ке разберат, макар што се дом отстапнички.
4. И работите твои изнеси ги како работи потребни за преселување, дење пред очите нивни, и сам излези вечерта пред очите нивни, како тие што излегуваат за преселување.
5. Пред очите нивни пробиј си отвор во ѕидот и изнесувај низ него.
6. Пред очите нивни земи го товарот свој на рамо, па во приквечерина изнеси го, подзатскриј го лицето свое, за да не ја видиш земјата; затоа што Јас те поставив за знак на домот Израилев.'
7. И изврших како што ми беше заповедано; работите нужни при преселувањето ги изнесов дење, а вечерта прокопав со раката отвор во ѕидот и во темнината го изнесов товарот, и го кренав на рамо пред очите нивни.
8. Утредента рано би слово Господово до мене:
9. 'Сине човечки, не му кажа ли ти на домот Израилев, домот отстапнички - што вршиш?'
10. Кажи им - вака вели Господ Бог: 'Тоа е предвесник за началникот на Ерусалим и за целиот дом Израилев, кој е таму.'
11. Кажи: 'Јас сум знакот за вас; она што го вршам јас, тоа ке биде и со нив, при преселувањето, во ропство ке отидат тие.
12. А началникот, што е ме у нив во темнина, носејки на рамо, ке излезе. Ѕидот ке го пробијат за да го изнесат низ него; тој ке го сокрие лицето свое, така што со очите свои нема да ја види оваа земја.
13. А Јас, ке ја спрострам врз него Мојата мрежа, и тој ке биде фатен во мојата примка, и ке го одведам во Вавилон, во земјата Халдејска, но тој нема да ја види, и таму ке умре.
14. А сите што се околу него, неговите помошници, и сета војска ке ја развеам по сите ветрови, и ке го извадам мечот по нив.
15. И ке познаат тие, дека Јас сум Господ, Оној Кој ги распрсна ме у народите и ги развеа по земјите.
16. Но еден мал број од нив Јас ке го запазам од меч, глад и помор, за да им ги раскажуваат на народите, при кои ке отидат, сите гадотии; и ке познаат, дека Јас сум Господ.'
17. И би слово Господово до мене:
18. 'Сине човечки, јади го лебот со трепет, и водата пиј ја со треперење и со мака.
19. И кажи му на народот од оваа земја: вака вели Господ Бог за жителите на Ерусалим, за земјата на Израилот; тие ке го јадат лебот со жал и водата ке ја пијат во очајание, зашто поради неправдата на сите што живеат во неа, земјата ке биде лишена од секакво изобилие.
20. И ке бидат разорени населените градови, и земјата ке стане пуста, и ке познаете дека Јас сум Господ.'
21. И би слово Господово до мене:
22. 'Сине човечки, каква е таа поговорка кај вас во земјата Израилева: ‘Многу денови ке изминат и секое пророчко видение ке изчезне?‘'
23. Затоа кажи им - вака вели Господ Бог: 'Ke ја уништам таа поговорка, и нема веке тие да ја употребуваат таа поговорка во Израилот; но, кажи им - блиски се деновите и извршувањето на секое пророчко видение.
24. Оти нема веке да остане попусто ниедно пророчко видение, и ниедно предвестување нема да биде лажно во домот на Израилот.
25. Зашто Јас, Господ, го зборувам ова: и зборот, кој Јас го кажувам ке се исполни, и нема да биде одложен; во ваши денови, доме отстапнички, реков збор, и ке го исполнам', вели Господ

Бог.
26. И би слово Господово до мене:
27. 'Сине човечки, ете, домот Израилев вели: пророчкото видение, што го виде тој, ке се изврши по многу денови и тој пророкуваше за далечни времиња.'
28. Затоа кажи им: вака вели Господ Бог: 'Ниеден Мој збор нема да биде одложен, но зборот, што ке го кажам Јас, ке се изврши,' вели Господ Бог.

Глава 13

1. И би слово Господово до мене:
2. 'Сине човечки, изречи пророштво против пророците на Израилот, кои пророкуваат, и кажи им на оние, што пророкуваат од свое срце: чујте го словото Господово.
3. Вака вели Господ Бог: 'тешко им на безумните пророци, што се водат од својот дух, а ништо не виделе.
4. Твоите пророци, Израиле, се како лисици во развалини.
5. Во пролом вие не влегувате и не го оградувате со ѕид домот Израилев за да биде цврст при битката во денот Господен.
6. Тие гледаат суета и претскажуваат лага, велејки: 'Господ вели', а Господ не ги испратил; и даваат надеж дека словото ке се исполни.
7. Зар не видовте суетно видение и не кажувате ли лажно предвестие, велејки: 'Господ вели', а Јас, пак, не сум рекол?
8. Затоа вака вели Господ Бог: - бидејки кажувате суета и гледате во виденијата лага, Јас сум против вас, - вели Господ Бог.
9. И ке биде раката Моја против тие пророци, кои гледаат суета и претскажуваат лага; во советот на Мојот народ тие нема да бидат, во списокот на домот Израилев нема да бидат запишани и во земјата Израилева нема да влезат. Па ке познаете, дека Јас сум Господ Бог.
10. Затоа што го воведуваат Мојот народ во заблуда, велејки: - мир, а мир нема; и кога тој гради ѕид, а тие со кал го мачкаат.
11. Кажи им на тие што ѕидот го мачкаат со кал, дека тој ке падне, ке заврне силен дожд и ти, ѕиду од камен, ке паднеш и силен ветар ке те распарчи.
12. И, ете, ѕидот ке падне; нема ли тогаш да кажат: 'Каде е мачканицата, со која го мачкавме?'
13. Затоа вака вели Господ Бог: 'Ке пуштам разорен ветар во гневот Свој и ке падне пороен дожд во јароста Моја, и град како камења во јадот Мој ке биде за истребување.
14. Ке го урнам ѕидот, што го мачкавте со кал, и ке го фрли на земја; ке се открие темелот негов, па ке падне, а вие заедно со него ке загинете, и ке познаете, дека Јас сум Господ.
15. И ка ја излеам јароста Своја врз ѕидот и врз оние што го мачкаа со кал, и ке ви речам: - го нема ѕидот и ги нема они, што го мачкаа -
16. пророците Израилеви, кои му пророкуваа на Ерусалим и го известуваа за мирни виденија, кога мир немаше, - вели Господ Бог.'
17. А ти, сине човечки, сврти го лицето свое кон керките на овој народ, кои пророкуваат од своето срце, и кажи пророштво против нив.
18. па речи - вака вели Господ Бог: 'Тешко им на оние што си пришиваат магијски амајлии под мишките и прават превези на главата за секоја возраст, само да ловат души. Зар ловејки ги душите на Мојот народ, вие ке си ги спасувате вашите души?
19. И Ме обесчестувате пред Мојот народ за рака јачмен и за парчиња леб, умртвувајки ги душите што не треба да умрат, а оставајки ги да живеат оние души, што не треба да живеат, лажејки го народот што слуша лага.'
20. Затоа вака вели Господ Бог: 'Еве, Јас сум против вашите магиски амајлии, со кои ги ловите душите како птички, ке ги искинам од под мишките ваши и ке ги пуштам на слобода душите, што ги ловите како птички.
21. Ке ги парчосам вашите покривала и ке го избавам Својот народ од рацете ваши; тие нема да бидат веке плен во рацете ваши, па ке познаете дека Јас сум Господ.
22. Поради тоа што со лага го жалостите срцето на праведникот, кого Јас не сакам да го жалостам, и ги задржувате рацете на грешникот, за да не се одврати од својот порочен пат, па не го зачува својот живот,
23. затоа нема да имате веке суетни виденија и во иднина нема веке да баете, Јас ке го избавам мојот народ од рацете ваши, и ке познаете, дека Јас сум Господ.'

Глава 14

1. И дојдоа при мене неколкумина Израилеви старешини, па седнаа пред мене.
2. И би слово Госпдово до мене:
3. 'Сине човечки, овие лу е дозволија своите идоли да си ги стават во срцата свои, се соблазнија со своето бесчестие: можам ли да им одговорам?'
4. Затоа зборувај со нив и кажи им - вака вели Господ Бог: 'Ако некој од домот Израилев дозволи во срцето свое да има идоли и така со тоа да го соблазнува своето бесчестие, па дојде при пророк, - па зар Јас, Господ, можам ли, при толку многу идоли да му дадам одговор?
5. Домот Израилев нека разбере во срцето свое, дека сите со своите идоли станаа ту и за Мене.'
6. Затоа кажи му на домот Израилев - вака вели Господ Бог: 'Обрнете се и откажете се од вашите идоли и од сите ваши гадотии одвратете го лицето свое.
7. Зашто, ако некој од домот Израилев и од придојдените кои живеат при Израилот, се откаже од Мене и допушти во срцето свое да има идоли и со тоа пред лицето свое бесчести, па дојде при пророк за да ме праша преку него, - па зар Јас, Господ, треба ли да му дадам одговор од Себе?
8. Јас ке го свртам лицето Свое против тој човек и ке го поразам како знак и приказ и ке го истребам од мојот народ, и ке познаете дека Јас сум Господ.
9. Ако, пак, пророкот дозволи да се измами и каже збор така како Јас, Господ, да сум го научил тој пророк, тогаш Јас ке ја протегнам раката Своја против него и ке го истребам од народот мој, од Израилот.
10. И тие обајцата ке ја понесат вината за беззаконието. Каква ке биде вината на оној што прашува, таква ке биде вината и на пророкот,
11. та во иднина домот Израилев да не се отклонува од Мене и да не се осквернува веке себеси со секакви свои беззаконија, туку да биде Мој народ и Јас да бидам нивни Бог, - вели Господ Бог.
12. И би слово Господово до мене:
13. 'Сине човечки, ако некоја земја ке згрешеше пред Мене, вероломно отстапувајки од Мене, и Јас ја протегнам врз неа раката Своја, ја уништував при неа лебната потпора, пракав врз неа глад и почнував по неа да ги погубувам лу ето и добитокот,
14. па, ако се најдеа во неа тројца мажи: Ное, Данаиил и Јов, тие со својата праведност ке можеа да ги спасат само своите души, вели Господ Бог.
15. Или, ако пратев врз таа земја лути ѕверови што би ја осиромашиле, и таа поради ѕверовите стане пуста и непреодна.
16. тоа тројцата тие мажи во неа да се - жив сум Јас, вели Господ Бог, не би ги спасиле ни синовите ни керките, а само тие би се спасиле, земјата пак би останала пуста.
17. Или, ако пратев врз таа земја меч и му реков: ‘мечу мини преку земјата!‘, и тој почнеше да истребува по неа лу е и добиток,
18. тоа само тие тројца мажи среде неа - жив да сум Јас, вели Господ Бог, не би ги спасиле ни синовите ни керките, а би се спасиле само тие.
19. Или, да бев пратил врз таа земја помор и да бев ја излеал врз неа јароста Своја во крвопролевање, за да истребувам во неа лу е и добиток,
20. тоа Ное, Даниил и Јов среде неа - жив да сум Јас, вели Господ Бог, не би ги спасиле ни синовите ни керките; со својата праведност тие би ги спасиле само своите души.'
21. Зашто така вели Господ Бог: 'Ако и четирите мои тешки поразии - мечот и гладот, лутите ѕверови и поморот - би ги пратил врз Ерусалим за да истребуваат во него лу е и добиток,
22. и тогаш ке остане во него само остатокот на синовите и керките, што нема да бидат изведени оттаму; ете, тие ке дојдат при вас и вие ке го видите поведението нивно и делата нивни, па ке се утешите за онаа беда, што ја пратив врз Ерусалим, за се што пратив врз него.
23. Тие ке ве утешат, кога ке го видите нивното поведение и делата нивни; и ке познаете дека

не залудо Јас го извршив сето тоа, што го извршив во него', вели Господ Бог.

Глава 15

1. И би слово Господово до мене:
2. 'Сине човечки, какво предимсто има дрвото од лоза пред секое друго дрво, и прачките од лозата пред гранките од дрвјата во гората?
3. Зар се зама од него парче за некаква изработка; земаат ли од него барем некаков клин, за да закачат на него некоја работа?
4. Ете, го фрлаат во оган за да изгори; двата краја огонот му го подгорува, па му ја изгорува и средената; може ли да стане од него нешто за некаква изработка?
5. И кога би било цело, не станува збор за некаква изработка; а уште повеке, кога огнот ке го подгори и го обгори, па ке биде ли тоа за некаква изработка?
6. Затоа, вака вели Господ Бог: - како што дрвото од лоза ме у горските дрвја го предадов на оган, за да изгори, така нему ке му ги предадам и ерусалимските жители.
7. И ке го свртам лицето Свое против нив, од еден оган ке излезат и друг оган ке ги проголта, па ке познаете, дека Јас сум Господ, кога ке го свртам лицето Свое против нив.
8. И ке ја направам таа земја пустиња, затоа што постапија вероломно', вели Господ Бог.

Глава 16

1. И би слово Господово до мене:
2. 'Сине човечки, кажи му ги на Ерусалим неговите гадотии.
3. И речи - вака и вели Гспод Бог на керката ерусалимска: - твојот корен и твојата татковина е во Хананската земја; татко твој е Амореец, а мајка ти е Хетејка;
4. при твоето ра ање - во денот кога се роди - папокот ти го пресекоа, со вода не те измија заради очистување, со сол не те посолија и во пелени не те повија.
5. Ничие око не се смили на тебе та од милост кон тебе да ти направат нешто од тоа; но те фрлија во полето од презир кон твојот живот во денот на твоето ра ање.
6. Минував јас покрај тебе и те видов оставена како преташ во крвта своја, па ти реков: ‘живеј во крвта своја!‘ Така ти реков и пак Јас - ‘во крвта своја живеј!‘
7. Се размножи како растенијата во полето; порасна, стана голема и се здоби со голема убавина: твоите гради се надигаа, а и косата ти порасна; но беше гола и непокриена.
8. Минував покрај тебе и те видов, а тоа беше времето твое, време за љубов; ги прострев полите од облеката Своја врз тебе и ја покрив голотијата твоја; па ти се заколнав и стапив во сојуз со тебе, вели Господ Бог - и ти стана Моја.
9. Те измив со вода, и ја измив од тебе крвта и те помазав со елеј.
10. Ти облеков везена облака и ти обув црвени сандали, те опашав со висон и те покрив со свилен превез.
11. Те искитив со накити и ти ставив гривни на рацете, а околу вратот - веришка.
12. Ти ставив и прстан на носот, обетки на ушите, а на главата твоја - прекрасен венец.
13. И така, ти беше украсена со злато и сребро, а облеката ти беше висон, свила и везена ткаенина; се хранеше со леб од најдобро пченично брашно, со мед и елеј, и беше многу убава, па достигна царско велелепие.
14. И се разнесе славата твоја ме у народите поради твојата убавина, зашто таа претставуваше полно совршенство при великолепниот накит, со кој ти искитив - вели Господ Бог.
15. Но ти се надеваше на убавината своја, и користејки се со славата своја, почна да блудствуваш, и живееше блудно со секој минувач, подавајки му се.
16. Па зеде од облеката своја и си направи шарени идолчиња, па блудствуваше на нив како ништо да не било, и нема да биде.
17. И ги зеде своите накити од моето злато и од моето сребро, што ти ги дадов Јас и си направи од нив машки ликови и блудстуваше со нив.
18. Па ги зеде своите везени облеки, ги облече во нив, и стави пред нив Мој елеј, Мој темјан,
19. и Мој леб, што ти го давав; пченичното брашно, елејот и медот, со кое те хранев, ти ги ставаше пред нив со благопријатен мирис; и тоа стана така - вели Господ Бог.
20. И ги зеде сивновите свои и керките свои, што Ми ги роди, па ги принесуваше преку оган како жртва, за да бидат проголтани. Зар малку блудствуваше?
21. Но ти и синовите Мои ги колеше и ги давеше, принесувајки ги преку оган.
22. И при сите твои гадотии и твоите блудства, ти не се сети за деновите на својата младост, кога беше гола и непокриена и фрлена за да бидеш измачувана во крвта своја.
23. И по сите тие злодејанија - ‘тешко, тешко тебе‘, вели Господ Бог.
24. Ти изгради куки за блуд, на својата улица ги направи.
25. Во почетокот на секоја улица направи куки за блуд, ја срамотеше твојата убавина, ги рашируваше нозете твои за секој минувач, го преумножи твоето блудствување.
26. Блудствуваше со египетските синови - со своите соседи, лу е силни, го умножуваше блудството и ме разгневуваше.
27. И ете, Јас ја протегнав раката Своја против тебе и го намалив дарот, за тебе, па те препуштив на произвол пред керките филистејски, кои те мразеа и се засрамија од твоето лошо поведение.

28. Ти блудствуваше со синовите на Асура не се насити што блудствуваше со нив, но со тоа не се задоволи;
29. Ти ги умножи блудствата свои во земајта Хананска до Халдеја, но и со тоа не се задоволи.
30. Колку ли треба да е истоштено срцето твое - вели Господ Бог - кога сето тоа го вршеше како необуздана блудница!
31. Кога градеше куки за блуд во почетокот на секоја улица и си правеше шерени возвишенија на секој крстопат, ти не гледаше како блудница, зашто ги отфрлуваше подароците,
32. но беше како неверна жена, која место својот маж, прибира ту и мажи.
33. На секоја блудница и даваат подароци, а ти самата даваше подароци на сите свои миленици и ги поткупуваше, за да доа аат при тебе од сите страни и да блудстуваат со тебе.
34. При твоето блудствување станувашe обратно од она, што станува кај жените; за да доа аат при тебе, а ти даваше подароци, тебе не ти даваа подароци; и затоа ти постапуваше обратно од другите.
35. Па поради тоа чуј го, блуднице, словото Господово.
36. Вака вели Господ Бог: заради тоа што ги распилуваше парите свои и при блудствувањето твое беше разоткривана голотијата твоја пред очите на твоите миленици и пред сите твои одвратни идоли, а за крвта на твоите синови, што им ги даваше ти -
37. затоа, еве, Јас ке ги соберам сите твои миленици, со кои се наследуваше и кои ти ги љубеше, како и оние што ги мразеше, и ке ги соберам одред сите против тебе и ке ја разоткријам пред нив голотијата твоја, и ке го видат сиот срам твој.
38. Јас ке ти судам, како што им се суди на прељубнички и на оние, кои пролеваат крв - и ке те предадам на крвава јарост и ревност;
39. ке те прададам во рацете нивни и тие ке ги разрушат блудилиштата твои и ке ги расфрлаат, ке ги соблечат облеките твои од тебе, ке ги земат накитите твои и ке те остават гола и непокриена.
40. Ке свикаат против тебе собрание, ке те убијат со камења и ке те расечат со мечеви свои.
41. Со оган ке ги изгорат твоите куки и ке извршат над тебе суд пред очите на многу жени; и ке стават крај на твоето блудство, и повеке нема да даваш подароци.
42. Ке го смирам над тебе Својот гнев, и ке отстапи од тебе Моето негодување, ке се успокојам и нема повеке да се гневам.
43. Затоа што не се сети на деновите од младоста своја и што со сето тоа Ме дразнеше, ве, и Јас ке го сvртам поведението твое врз главата твоја, вели Господ Бог, за да не се предаваш повеке на разврат по сите твои гадотии.
44. Еве, секој што зборува во раскази, може да каже за тебе: ‘каква е мајката, таква е и керката‘.
45. Ти си керката како мајката твоја, која го оставила мажот свој и децата свои, и ти си сестра како сестрите нејзини, што ги оставиле мажите свои. Вашата мајка е Хетејка, а таткото ваш беше Амореец.
46. Твојата поголема сестра е Самарија, која со керките свои живееше лево од тебе, и помалата сестра твоја, што живееше десно од тебе е Содом со керките свои.
47. Но ти и по нивните патишта не одеше и по нивните годотии не постапуваше. Тоа беше малку: ти постапуваше поразвратно од нив во сите твои патишта.
48. Жив да сум, вели Господ Бог: дури е Содом, сестрата твоја и керките нејзини не го вршеа она што го правеше ти и твоите керки.
49. Ете во каква состојба е беззаконието на сестра ти Содом и на кеките нејзини: во гордост, во презаситеност, во празнина, и раката нејзина не помагаше силно човек во беда.
50. И се погодија тие, па вршеа гадотии пред лицето Мое, и, откако го видов тоа, Јас ги отфрлив.
51. Самарија и половината од гревовите твои не направи; ти ги надмина со твоите гадотии, и преку твоите нечистотии, што ги изврши, сестрите твои се покажаа поисправни од тебе.
52. Носи го поради тоа срамот свој и ти, што ги осудуваше сестрите свои; според гревовите, со

кои се покажа полоша од нив, тие се поисправни од тебе. Зацрвени се тогаш од срамот и ти, и носи си го срамот, што така ги оправда сестрите свои.
53. Но јас ке ги вратам нивните заробеници, заробениците на Содом и на керките нејзини, заробениците на Самарија и не керките нејзини, како и твоите во плен одведени ме у нив,
54. за да го носиш срамот свој и да се срамуваш од сето ова, што го правеше, откако ке им бидеш утеха.
55. И сестрите твои, Содом и керките нејзини, ке се вратат во поранешна состојба; исто така Самарија и керките нејзини ке се вратат во поранешна состојба; а и ти и твоите керки ке се вратите во поранешната состојба.
56. За сестра ти Содом и помен немаше во устата своја во деновите на твојата гордост,
57. додека уште не беше откриено твоето бесчестие, како во времето, кога беше посрамена од сириските керки и од сите, што ја опкружуваа, од филистејските керки кои одреда гледаа на тебе со презир.
58. Поради твојот разврат и поради твоите гадотии ти трпиш,' - вели Господ.
59. Оти така вели Господ: 'Јас ке постапам со тебе, како што постапи ти, кога ја презре клетвата, нарушувајки го сојузот.
60. Но Јас ке се сетам на Мојот сојуз со тебе во деносите на твојата младост и ке востановам со тебе вечен сојуз.
61. А и ти ке се сетиш за твоите патишта, и ке ти биде срам, кога ке почнеш да ги примаш сестрите свои, поголемите од тебе, како и помалите од тебе, и кога почнав да ти ги давам за керки, но не по твојот завет.
62. Јас ке го востановам Мојот сојуз со тебе, и ти ке познаеш, дека Јас сум Господ,
63. за да помниш и да се срамуваш, и во иднина да не можеш од срам да ја отвориш устата, кога ке ти простам се, што го правеше ти' - вели Господ Бог.

Глава 17

1. И би слово Господово до мене:
2. 'Сине човечки, предложи загатка и кажи паримија за домот Израилев.
3. Кажи, вака вели Господ Бог: 'Голем орел со големи крилја, со долги перја, буфлест, шарен долета на Ливан и застана на врвот од еден кедар,
4. ја открши најгорната гранка со гранчињата, ја донесе во Хананската земја и ја стави до градот на трговците;
5. зеде од семето од онаа земја, го посеа во погодна земја и по постави до големата вода, како што се садат врбите.
6. И тоа израсна и стана лоза, широка, ниска во височина, чии прачки се наведнуваа кон неа и корењата нејзини беа под неа, па стана лоза, и пушти фиданки и прачки.
7. Имаше и еден друг орел со големи крилја и буфлест; и ете таа лоза се провлече кон него со корењата свои и ги рашири прачките кон него за да ја полива од браздите на расадникот свој.
8. Таа беше посадена на добра земја, покрај голема вода, така што можеше да пуши ластари и да дава плод, да стене великолепна лоза.
9. Кажи - така вели Господ Бог: ке успее ли таа? нема ли да и ги искорнат корењата нејзини, нема ли да и ги искинат плодовите нејзини, така што таа да се исуши; сите млади ластари, што израснале од неа ке се исушат. И не со голема сила и не многу лу е ке ја искорнат со корењата нејзини.
10. И ете, макар што е посадена, па ке успее ли? Нема ли да се исуши, што ке дувне источниот ветар? - ке си исуши таа во браздата, таму каде што израснала.
11. И би слово Господово до мене:
12. Кажи му на отстапничкиот дом: 'зар не знаете што значи тоа?' - кажи: 'ете, дојде вавилонскиот цар во Ерусалим, го фати царот негов и кнезовите негови и ги одведе при себе во Вавилон.
13. Фати и друг од царски род, склучи со него сојуз и го обврза со клетва, земјаки ги при себе силните во таа земја.
14. за да биде покорно царството да не може да се крева, за да се пази сојузот и да биде цврст.
15. Но тој се одметна од него, прати свои пратеници во Египет за да му дадат коњи и многу лу е. Ке успее ли тој? Ке има ли благослов тој, што го врши тоа? Тој го нарушил сојузот и ке успее ли?'
16. 'Жив да сум Јас, вели Господ Бог. - Во пребивалиштето на царот, кој го постави за цар и кому му е дадена клетва, тој го презре и го наруши сојузот свој со него. Затоа тој ке умре при него во Вавилон.
17. Со голема сила и со многубројниот народ Фараонот нема да му помогне во таа војна, кога оној ке направи опкопи и изгради кули за погбел на многу души.
18. Тој ја презре клетвата, за да го наруши сојузот, и ете ја подаде раката своја и го направи сето тоа; тој нема да успее.'
19. Затоа, вака вели Господ Бог; 'жив да сум Јас, Мојата клетва, кој тој ја презре, и Мојот сојуз, што тој го наруши, Јас ке го свртам врз главата негова.
20. Ке ја фрлам врз него мрежата Моја и ке биде фатен во моите примки; ке го одведам во Вавилон и таму ке се судам со него за предавството негово против Мене.
21. А сите бегалци негови со сета војска ке паднат од меч, додека другите ке бидат распрснати по сите ветрови; и ке познаете дека јас, Господ, сум го рекол ова.'
22. Така вели Господ Бог: 'Ке земам од врвот на високиот кедар - и ке посадам; од неговите најголеми гранки ке откинам нежно гранче и ке го посадам на висока и величествена планина.
23. На високата Израилева гора ке го посадам - и тоа ке пушти гранки, ке даде плод и ке стане величествен кедар, и ке се собираат под него секаков вид птици, секаков вид пернати и ке се одмараат во сенката на неговите гранки.

24. И ќе разберат сите полски дрвја, дека Јас, Господ, високото дрво го снизувам, ниското го издигам, зеленото го исушувам, а сувото дрво го раззеленувам - Јас Господ го реков тоа - и ќе го направам'.

Глава 18

1. И би слово Господово до мене:
2. 'Зошто употребувате во Израилевата земја поговорка, велејќи: ‘татковците јадеа кисело грозје, а на децата забите им факаат оскомина?‘
3. Жив да сум, Јас, вели Господ Бог: - во иднина нема да ја кажуваат таа поговорка во Израилот.
4. Оти, ете, сите души се Мои; како душата на таткото, така и душата на синот се Мои: која душа греши, таа ќе умре.
5. Ако некој е праведен и врши суд и правда,
6. по планините не јаде жртвено и кон идолите на домот Израилев не свртува очи, жената на својот ближен не ја осквернува и до жената своја, кога се чисти од својата нечистотија не се приближува;
7. никого не присилува, не должникот му го враќа залогот и грабеж не врши, од својот леб му дава на гладниот и голиот го облекува во облека,
8. под лихва не дава и лихва не зема, ја воздржува раката своја од неправда и извршува праведен суд ме у човек со човек;
9. постапува според Моите заповеди и искрено пази на Моите наредби - тогаш тој е праведник, тој секако ќе биде жив, вели Господ Бог.
10. Но, ако му се роди син разбојник, кој пролива крв и врши нешто што и да е слично на тоа,
11. кое тој сам никако не вршел и по планини јаде жртвено, и жената на ближниот ја осквернува,
12. беден и сиромав присилува, одзема насила, залог не враќа и кон идолите ги врти очите, тој врши гадотија;
13. дава под лихва и зема лихва, - па зар ќе биде тој жив? Не, тој нема да биде жив. Кој ги врши сите тие гадни работи, тој бездруго ќе умре, крвта негова ќе биде врз него.
14. Но, ако некому му се роди син, кој, гледајќи ги сите тие гревови на својот татко, какво што ги вршел, па гледа - и не врши слични работи:
15. по планини жртвено не јаде, кон идолите на домот Израилев не свртува очи, жената на својот ближен не ја осквернува
16. и човек не присилува, залог не зема и насила не одзема, од лебот свој му дава на гладен и гол со облека облекува,
17. врз беден рака не крева, награди и лихва не зема, ги исполнува Моите поведлби, тој нема да умре заради гревовите на татка си: тој ќе биде жив.
18. А татко му, бидејќи жестоко притискал, братот го ограбувал, и вршел лоши работи кај народот свој, ете - тој ќе умре поради своето беззаконие.
19. Вие велите: ‘зошто, пак, синот не ја сноси вината на татка си?‘ Затоа, што синот постапува законски и праведно, пази на сите Мои наредби и ги извршува: тој ќе биде жив.
20. душа, која згрешила, ќе умре; синот нема да го понесе гревот на татка си, и таткото нема да го понесе гревот на сина си, правдата на праведниот при него си останува и беззаконието на грешникот при него си останува.
21. И грешникот, ако се одврати од сите свои гревови, какви што правел, ако ги пази сите Мои уредби и постапува законски и праведно, ќе биде жив, нема да умре.
22. Сите негови престапи, какви што правел, нема да му се спомнуваат; во правдата своја, што ќе ја врши, тој ќе биде жив.
23. Зар Јас сакам смрт за грешникот? вели Господ Бог. Напротив, Јас сакам - тој да се откаже од патиштата свои и да биде жив.
24. И праведникот, ако отстапи од својата правда и постапува неправедно, ако ги врши сите оние гадотии, што ги врши грешникот, ќе биде ли жив? Сите негови добри дела, што ги правел нема да бидат спомнати: поради беззаконието што го вршел и поради гревовите свои, со кои грешел, тој ќе умре.

25. Но вие велите: ‘не е исправен патот Господен‘. Послушајте, доме Израилев, зар Мојот пат не е исправен? Зар патиштата ваши не се неисправни?
26. Ако праведникот отстапува од правдата своја и врши беззаконија и затоа умира, тој умира поради гревот што го направил.
27. И грешникот, ако се откаже од беззаконието свое што го вршел, па извршува суд и правда - ќе ја врати душата своја кон живот.
28. Оти тој видел и се откажал од сите свои пресатпи, какви што направил: ќе биде жив, нема да умре.
29. А домот Израилев вели: ‘не е прав патот Господен!‘ Не се ли прави доме Израилев, Моите патишта? Па зар се прави вашите патишта?
30. Затоа Јас ќе ви судам вам, доме Израилев, секого според делата негови, вели Господ Бог; покајте се и оттргнете се од вашите престапи, та вашето нечестие да не ви биде вам сопка.
31. Отфрлете ги од себе сите свои гревови, со кои сте згрешиле, и направете си ново срце и нов дух; и зошто да умирате? - доме Израилев.
32. Оти, Јас не ја сакам смртта на оној што умрел, вели Господ Бог; но поправете се - и живејте!'

Глава 19

1. 'А ти заплачи за кнезовите Израилеви.
2. И кажи: - каква лавица е твојата мајка? Се расположила ме у лавовите, ме у младите лавови, одгледува свои мали.
3. И дали отхранила едно од своите млади, па тоа станало млад лав и се научило плен да лови, лу е да јаде.'
4. И чуја народите за него: бил фатен во неговата јама и во вериги однесен во земјата Египетска.
5. И откако почека и виде дека надежта нејзина и пропадна, таа зеде друго свое лавче и го направи млад лав.
6. И тоа, кога стана млад лав, почна да оди ме у лавовите и се научи плен да лови, и лу е да јаде,
7. ги осквернуваше вдовиците нивни и градовите нивни ги опустошуваше; па запусте земјата и сите нејзини населби од неговото рикање.
8. Тогаш се подигнаа против него народите од околните области и ја поставија мрежата своја; тој беше фатен во нивната јама.
9. И го ставија во кафез, во вериги, па го одведоа во тврдината, за да не се слуша глас од него по планините Израилеви.
10. Твојата мајка беше како лоза, посадена покрај вода; плодовита и разгранета беше таа од многу вода.
11. И имаше при неа прачки здрави за скиптар на владетел и високо се издигна со својот раст и ме у густите прачки, па се истакнуваше во височината своја, со многуте свои ластари.
12. Но, во гневот таа беше откорната, фрлена на земја и источниот ветар го исуши плодот нејзин; откинати и исушени се нејзините силни прачки, отан ги проголта.
13. А таа сега е пресадена во пустињата, во земја сува и жедна.
14. И излезе оган од сплетот на гранките нејзини, ги проголта плодовите нејзини и не останаа на неа здравите прачки за скиптар на владетел. Тоа е жална песна и ке има плачење.

Глава 20

1. Во седмата година, петтиот месец, десеттиот ден од месецот, дојдоа некои Израилеви старешини да Го прашаат Господа и седнаа пред мене.
2. И би слово Господово до мене:
3. 'Сине човечки, зборувај со старешините Израилеви и кажи им - вака вели Господ Бог: сте дошле да Ме прашате? Жив да сум Јас - нема да ви дадам одговор, вели Господ Бог.'
4. Сакаш ли да се судиш со нив, сакаш ли да се судиш, сине човечки? Кажи им ги гадотиите на нивните татковци;
5. и кажи им - вака вели Господ Бог: 'во оној ден кога го избрав Израилот и кога ја подигнав раката Своја, се заколнав во племето на домот од Јакова, и им се открив во земјата Египетска, и кога ја подигнав раката им реков: 'Јас сум Господ, вашиот Бог'.
6. Во оној ден, кога ја подигнав раката Своја, Јас им се заколнав дека ке ги изведам од земјата Египетска во земја, која Јас ја избрав за нив, и во која тече мед и млеко, украс на сите земји.'
7. И кажи им: 'Отфрлете ги сите гадотии од вашите очи и не се осквернувајте со египетските идоли - Јас сум Господ, вашиот Бог.
8. Но тие се возмутија против Мене и не сакаа да Ме слушаат; никој не се откажа од гадотиите на очите свои и не ги остави египетските идоли. А Јас реков: 'ке го излијам врз нив гневот Свој, ке ја исцрпам врз нив јароста Своја среде Египетската земја.
9. Но Јас постапив така заради името Мое, па тоа да не се хули пред народите, ме у кои тие се нао аат и пред чии очи Јас им се открив, за да ги изведам од Египетската земја.
10. И Јас ги изведов од земјата Египетска и ги доведов во пустињата,
11. им ги дадов Моите заповеди и им ги објавив Моите наредби, преку кои човекот, откако ке ги изврши, ке биде жив;
12. им ги дадов исто така и Моите саботи, за да бидат знак ме у Мене и нив, па да знаат, дека Јас сум Господ што ги осветува.
13. Но домот Израилев се побуни против Мене во пустињата: не постапија според Моите заповеди и ги отфрлија Моите наредби, преку кои човекот, ако ги исполнува, би можел да биде жив, и Моите саботи ги нарушија - и Јас реков - ке ја излијам врз нив Својата јарост во пустињата, за да ги истребам.
14. Но Јас постапив заради Моето име, та да не се хули тоа пред народите, пред чии очи ги изведов.
15. Дури и кога ја подигнав раката против нив во пустињата, се заколнав, дека нема да ги воведам во земјата, која бев им ја определил - во која тече мед и млеко, украс на сите земји,
16. заради тоа што ги отфрлија Моите наредби, не постапија по Моите заповеди и ги нарушуваа Моите саботи; оти нивното срце чезнееше повеке кон идолите нивни.
17. Но Моето око се смили и не ги погуби; и Јас не ги истребив во пустиња.
18. Им зборував на синовите нивни во пустњата: 'Не одете по правилата на татковците ваши, не пазете ги уредбите нивни и не осквернувајте се со идолите нивни.
19. Јас сум Господ, вашиот Бог: постапувајте според Моите заповеди, пазете ги уредбите Мои и исполнувајте ги.
20. Празнувајте ги Моите саботи за да бидат знак ме у Мене и вас, па да знаете, дека Јас сум Господ, вашиот Бог.'
21. Но и синовите се побунија против Мене - не постапуваат по Моите заповеди и уредбите Мои не ги пазат, не го исполнуваат она преку кое човекот, откако ке го исполнува, ке биде жив; ги нарушуваат Моите саботи - и Јас реков: ке го излијам врз нив Својот гнев, ке ја исцрпам над нив Мојата јарост во пустињата;
22. но јас ја отклонив раката Своја и заради името Мое постапив инаку, за да не се хули тоа пред народите, пред чии очи ги изведов.
23. Исто така, кога ја подигнав раката Своја во пустињата, се заколнав дека ке ги расфрлам ме у народите и развеам по земјите,

24. бидејки тие Моите наредби не ги извршуваа, заповедите Мои ги отфрлија и ги нарушуваа Моите саботи, а очите нивни се свртуваа кон идолите на нивните татковци.
25. Им дозволив закони и наредби што не се добри, од кои тие не можеа да бидат живи,
26. им допуштив и да се осквернуваат со своите жртвени приноси, кога почнаа да префрлуваат преку оган секој прв плод од утробата, за да ги разорам, па да знаат, дека Јас сум Господ.
27. Затоа зборувај му на домот Израилев, сине човечки, и кажи му - вака вели Господ Бог: 'еве со што уште Ме хулеа вашите татковци, кога вероломно постапуваа против Мене:
28. Јас ги одведов во земјата, која со клетва им ја ветив дека ке им ја дадам, откако ја подигнав раката Своја, а тие, штом здогледаа по некој висок рид и некое разгрането дрво, почнаа таму да ги колат своите жртви и ги ставаа таму своите приноси за мене со навреда и своите благопријатни кадива, извршувајки ги таму и своите преливи.
29. А Јас им реков - каква е таа височинка, каде што одите? Затоа таа и до ден денс се вика Бама.'
30. Ете затоа, кажи му на домот Израилев - вака вели Господ Бог: 'Зар не се осквернувате по примерот на вашите татковци и зар не блудствувате со нивните гадотии?
31. Принесувајки ги даровите свои и префрлувајки ги синовите свои преку оган, вие се осквернувате со сите ваши идоли до овој ден - па сакате да Ме прашате ли, доме Израилев? Жив да сум Јас, вели Господ Бог, нема да ви одговорам.
32. И она, што ви па а на ум, никако нема да се изврши. Вие велите: 'ке му служиме на дрвото и на каменот како незнабошците, како племињата од други земји.'
33. Жив да сум Јас, вели Господ Бог; со силна рака и протегната мишка, изливајки јарост, ке господарам над вас.
34. И ке ве изведам Јас од кај народите и од земјите, по кои сте распрастани, и ке ве соберам со силна рака и со протегната мишка, изливајки јарост.
35. И ке ве доведам во пустињата на народите и таму ке се судам со вас лице во лице.
36. Како што се судев со татковците ваши во пустињата на Египетската земја, така ке се судам и со вас, вели Господ Бог.
37. И ке ве преведам под стап и ке ве ставам во оковите на заветот.
38. И ке ги оделам од вас отстапниците и непокорните. Ке ги изведам од земјата, каде што живеат, но во земјата Израилева тие нема да влезат, - и ке познаете, дека Јас сум Господ.
39. А вие, доме Израилев, така вели Господ Бог - секој од вас оди при идолите свои и им служи, не слушајки Ме Мене, но не осквернувајте го повеке светото име Мои, со вашите дарови и со вашите идоли,
40. зашто на Мојата Света Гора, на високата планина Израилева - вели Господ Бог - таму ке Ми служи сиот Израилев дом, целиот, колку што го има на земјата; таму ке ги примам со благоволение и таму ке ги побарам приносите ваши и првините ваши со сите ваши светињи.
41. Ке ве примам како благопријатно кадиво, кога ке ве изведам од народите и ке ве соберам од земјите, по кои сте распрснати и ке се светам во вас пред очите на народите.
42. Па ке познаете, дека Јас сум Господ, кога ке ве воведам во земјата Израилева - во земја, за која се заколнав на татковците ваши, откако ја подигнав раката Своја.
43. И ке се сетите таму за вашите патишта и за сите ваши дела, со кои се осквернувавте, па ке се гадите од самите себе, за сите ваши злодела, што сте ги вршеле.
44. И ке познаете дека Јас сум Господ, кога ке почнам да постапувам со вас заради името Свое, не според вашите лоши патишта и вашите развратни дела, доме Израилев, вели Господ Бог.

Глава 21

1. И би слово Господово до мене:
2. 'Сине човечки, сврти го лицето свое на патот кон југ и кажи збор против пладнето и искажи
пророштво врз горатa во полето јужно.
3. И кажи и на јужната гора: чуј го словото Господово - така вели Господ Бог: Еве Јас ке
запалам во тебе оган и тој ке го проголта секое зелено дрво и секое суво дрво во тебе; и нема
да угасне разбаботениот пламен, и тој ке изгори се од југ до север.'
4. И секое тело ке види, дека Јас, Господ Бог, го запалив и тој нема да угасне.
5. А Јас реков: 'О, Господи Боже, тие велат за мене: - не зборува ли приказни?'
6. И би слово Господово до мене:
7. 'Сине човечки, сврти го лицето свое кон Ерусалим и кажи слово против светилиштата,
изречи пророштво против земјата Израилева.
8. И кажи и на земјата Израилева - вака вели Господ Бог: еве, Јас сум против тебе, и ке го
извадам Мојот меч од ножницата негова и ке истребам кај тебе праведник и грешник.
9. А за да истребам кај тебе праведник и грешник, Мојот меч ке излезе од ножницата своја
против секое тело од југ до север.
10. И секоје тело ке узнае, дека Јас, Господ, сум го извлекол Мојот меч од ножницата негова, и
тој нема веке да се врати.
11. А ти, сине човечки, плачи како да ти се бедрата прекршени и офкај пред очите нивни.
12. А кога ке те прашаат: ‘зошто офкаш‘, кажи: ‘поради гласот што доа а‘, - од кој ке замре
секое срце и сите раце ке малаксаат, и секој дух ке се нажали, и сите колена ке затреперат
како вода. Ете, тоа ке дојде и ке се случи', вели Господ Бог.
13. И би слово Господово до мене:
14. 'Сине човечки, изречи пророштво и кажи - вака вели Господ Бог: кажи - меч, мечот е
наострен и светнат.
15. Наострен за да коле повеке; светнат за да болска како светкавица. Да се радуваме ли, дека
жезалот на Мојот син го презира секое дрво?
16. Наредив да го светнат, за да го земам в рака; веке е наострен тој меч и светнат, за да го
дадам во раката на убиецот.
17. Стенкај и плачи, сине човечки, за тоа што е тој против Мојот народ, против сите кнезови
Израилеви: сите тие ке бидат со Мојот народ предадени на меч - затоа удирај се по бедрата.
18. Бидејки тој е веке испробан. Па што, ако тој го презира и жезалот? Тој нема да устои', вели
Господ Бог.
19. А ти, сине човечки, пророкувај и плескај со рацете - и мечот ке се удвори и ке се утрои,
мечот за поразените, мечот за пораз на големиот меч, кој проникнува во внатрешноста на
нивните живеалишта.
20. За да се стопат срцата и за да бидат паднати повеке, Јас пред сите нивни порти ке
поставам страшен меч, кој ке болска како светкавица, наострен за клање.
21. Приготви се, мечу, и оди десно или лево и онаму каде што ке ти се сврти лицето твое.
22. А Јас ке ракоплескам и ке го стивнам гневот Свој; Јас, Господ, го кажав тоа.
23. И би слово Господово до мене:
24. 'А ти, сине човечки, размисли за две патеки по кои треба да мине мечот на царот
вавилонски - и двете патеки треба да излезат од една земја, па нацртај рака, нацртај при
раскрсницата на патиштата за градовите.
25. Претстави го патот, по кој треба да мине мечот во Рава на синовите Амонитски и во Јудеја,
во утврдениот град Ерусалим,
26. зошто вавилонскиот цар застана на крстопатот, при почетокот на двете патеки за да
претскажува: ги прегледува стрелите, ги прашува идолите, гледа на дрв дроб.
27. Во неговата десна рака баењето е: 'во Ерусалим', каде што треба да постави убојни справи,
да ја отвори устата за сечење, да го подигне гласот за боен повик, да ги дотера машините до

портите, да насипе опкоп, да изгради опсадни кули.
28. Тоа вражање се виде во очите нивни лажно; но, бидејки беа се заколнале со клетва, тој, откако се сети на нивното вероломство, реши да го преземе.'
29. Затоа, вака вели Господ Бог: 'Бидејки бие самите го спомнувате вашето беззаконие, правејки ги вашите престапи јавно и покажувајки ги вашите гревови во делата свои, и самите го спомнувате тоа, затоа вие ке бидете фатени од нив.
30. А ти, недостоен, престапни водачу Израилев, тебе денес ти дојде денот, кога на неговото бесчестие ке биде ставен крај.'
31. Така вели Господ Бог: 'Симни ја од себе круната и извади го венецот, и веке не ке го имаш; понизеното ке се издигне, а високото ке се снизи.
32. Ke го уништам, ке го уништам, ке го уништам - и нема веке да го има, се додека, не дојде Оној, Кому тој Му припа а, и Нему ке му го дадам.'
33. А ти, сине човечки, изречи пророштво и кажи - вака вели Господ Бог, за синовите Амонови и за нивната хула, па кажи: 'мечот, изваден е за клање, светнат за истребување, за да болска како светкавица,
34. па, додека ти кажуваат суетни виденија и лажливо гатаат тебе да те стават кај обезглавените грешници, чиј ден дојде, кога на бесчестието ке му биде ставен крајот.
35. Да го вратам ли во ножницата негова? На местото, каде што си ти создаден, на земјата, од каде што си произлегол, ке ти судам -
36. и ке го излеам врз тебе Моето негодување, ке дувнам врз тебе со огнот на јароста Своја и ке те предадам во рацете на лу е свирепи, вешти во убивање.
37. Ти ке му станеш храна на огнот, твојата крв ке остане на земјата; нема да се сетат за тебе; оти Јас, Господ, го кажав тоа.'

Глава 22

1. И би слово Господово до мене:
2. 'А ти, сине човечки, сакаш ли да судиш, да го судиш крвавиот град? Искажи му ги сите негови гадотии.
3. И кажи - вака вели Господ Бог: - О, граде, кој проливаш крв среде себе, за да дојде времето твое, и кој си правиш идоли, за да се осквернуваш,
4. со крвта, што си ја пролеал, се обвинуваш, и со идолите, што си ги направил, се осквернуваш себеси, се приближија деновите твои и достигна времето твое. Затоа ке те предадам за потсмев на народите, за поруга на сите земји.
5. Твоите блиски и твоите даелчни ке ти се смеат, зашто го оскверни името свое и се прочу со беззаконијата свои.
6. Ете, началниците Израилеви, секој според силите свои, што беа кај тебе, решија крв да пролеваат.
7. При тебе татко и мајка хулат, придојден навредуваат среде тебе, и сирак и вдовица измачуваат во тебе,
8. светињите Мои не го почитуваш и саботите Мои ги нарушуваш.
9. При тебе има клеветници, крв што пролеваат и по планините јадат идолски жртви, среде тебе вршат гадотии.
10. Кај тебе ја откриваат голотијата на татка си, изнасилуваат жени во времето, кога тие се чистат од нечистотиите свои.
11. Еден врши осквернување со жената на блискиот свој, друг ја осквернува снаата своја, трет ја напа а сестрата своја, керката на таткото свој.
12. Кај тебе се зема поткуп, за да се пролива крв; ти земаш лихва и дарови и со сила изнудуваш добра од ближниот свој, а Мене Ме заборави, вели Господ Бог.
13. И ете, Јас плеснав со рацете за твоето користољубие, што се разоткрива кај тебе, и за крвнината, кој се извршува кај тебе.
14. Ke устои ли твоето срце, ке бидат ли цврсти рацете твои во деновите, кога ке дејствувам против тебе? Јас, Господ, велам - и ке извршам.
15. Ke те распрснам ме у народите, ке те развеам по земјите и ке ставам крај на твоите гадотии кај тебе.
16. И сам ке си направиш за да бидеш презрен пред очите на народите, па ке познаеш, дека Јас сум Господ.'
17. И би слово Господово до мене:
18. 'Сине човечки, домот Израилев стана во мене згура: тие сите се калај, бакар, железо и олово во печка; станаа како сребрена згура.
19. Затоа, така вели Господ Бог: 'Бидејки сите вие станавте згура, затоа, еве, Јас ке ве соберам во Ерусалим.
20. Како што во печка ги ставаат заедно среброто, бакарот, железото, оловото и калајот, за да раздувуваат врз нив оган и да ги растопат, така во гневот Свој и во јароста Своја ке ве кутнам, ке ве ставам и ке ве растопам.
21. Ke ве соберам и ке дувнам врз вас оган од Моето негодување и ке се растопите во него;
22. како среброто што се топи во печката, така ке се растопите и вие и ке познаете, дека Јас сум Господ, Кој ја излева јароста Своја врз вас.'
23. И би слово Господово до мене:
24. Сине човечки, кажи му: 'Ти си земја неисчистена, не поливана со дожд во гневен ден.'
25. Пророците нејзини се согласија како лав што рика, кој го раскинува пленот; тие јадат души, одземаат имоти и драгоцености и со тоа го умножуваат бројот на вдовиците.
26. Свештениците нејзини го нарушуваат Мојот закон и ги осквернуваат Моите светињи, не одвојуваат свето од несвето и не прават разлика ме у чисто и нечисто; од саботите Мои ги покриваат очите свои, и Јас сум понизен ме у нив.

27. Кнезовите нејзини се како волци, кои грабаат плен, проливаат крв, погубуваат души, за да продобијат корист.
28. А пророците нејзини се замачкуваат со кал, гледаат суета и им претскажуваат лага, велејки: 'така вели Господ Бог', иако Господ не рекол така.
29. А ме у народот се угнетуваат еден со друг, грабаат и присилуваат беден и сиромав, и неправедно угнетуваат придојден.
30. Јас барав кај нив човек, врз кого ке ставам темел, за да застане пред Мене во падот поради оваа земја да не ја загубам, но не најдов.
31. Па затоа, ке го излеам врз нив Моето негодување, со огнот на Мојата јарост ке ги истребам, нивното лошо однесување ке го свртам на главите нивни, вели Господ Бог.

Глава 23

1. И би слово Господово до мене:
2. 'Сине човечки, имаше две жени, керки на една мајка.
3. И блудствуваа тие во Египет, блудствуваа додека беа млади; таму ги факаа градите нивни, и таму ги изгмечија нивните девствени гради.
4. Имињата нивни беа: големата се викаше - Охола, а сестра и - Охолива. И тие беа Мои и ра аа синови и керки; Охола се викаше Самарија, а Охолива - Ерусалим.
5. И Почна Охола да ме изневерува и се приближи кон љубовниците свои, кон Асирците, кон соседите свои,
6. кон оние што се облекуваа со облеки од порфир, кон обасните началници и градските управители, кон сите убави момчиња, коњаници, што јаваат на коњ.
7. И живееше бесрамно со сите тие избрани синови на Асура и се осквернуваше себеси со сите идоли на секој од нив, кон кого се прилепуваше;
8. не престануваше да блудствува и со Египтјани, бидејки тие спиеја со неа во младоста нејзина и ги стискаа градите нејзини и ја изливаа врз неа својата похот.
9. Затоа и Јас ја предадов во рацете на миленицитe, во рацете на Асуровите синови, кон кои таа се придружи.
10. Тие ја открија голотијата нејзина, ги зедоа синовите и керките нејзини, а неа ја убија со меч. И таа стана за потсмев ме у жените, кога ја извршуваа пресудата врз неа.
11. Сестра и Охолива го виде тоа и стана уште поразвратна во љубовта своја, и блудството нејзино го надмина блудството на сестра и.
12. Таа се прилепи до Асуровите синови, до обласните началници и градските управители, соседи нејзини, богато облечени, коњаници што јаваа на коњи, кон сите одбрани момци.
13. Јас видов дека таа се оскверни и дека обете одат по ист пат.
14. Но таа уште повеке ги умножи блудствата свои, зашто, кога виде насликани мажи на ѕидот, обоени ликови на Халдејци,
15. кои беа со појас опашани до крстот и со богати преврски на главата и кои изгледаа како воени началници, што прилегаат на вавилонските синови, чија татковина е земјата Халдејска;
16. таа се вљуби во нив на прв поглед со очите свои и испрати при нив пратеници во Халдеја.
17. И вавилонските синови дојдоа при неа во љубовното легло и ја осквернија со своето блудство, а преку нив и таа се оскверни и душата нејзина се одврати од нив.
18. Кога, пак, се оддаде јавно на своето блудство и ја откри голотијата своја, тогаш се одврати од неа и Мојата душа, како што се одврати душата Моја од сестрата нејзина.
19. И таа ги зголемуваше своите блудства, спомнувајки ги деновите на младоста своја, кога блудствуваше во Египетската земја.
20. И се прилепи кон своите миленици, чие тело е како тело на осел, и похотта како на коњи.
21. Така ти се присети на бесрамноста во твојата младост, кога Египтјаните ги стискаа твоите гради, заради младоста нивна.
22. Поради тоа, Охолива, вака вели Господ Бог: 'Еве Јас ке ги подигнам против тебе твоите миленици, од кои се одврати душата твоја, и ке ги доведам против тебе од сите страни;
23. синовите на Вавилон, и сите Халдејци, од Пехот, од Шоа и Коа, и со нив сите Асурови синови, убави момци, обласни началници и градски управители, големците и познатите, сите вешти јавачи;
24. и ке дојдат против тебе од север и многу бојни коли со многу народ, ке те опседнат од сите страни, со штитови, со шлемови и оклопи. Ним ке те предадам на суд и тие ке ти судат со својот суд.
25. И ке ја свртам Мојата ревност против тебе и со тебе ке постапат гневно: ке ти го отсечат носот и ушите, а она што ке остане, ке падне од меч; ке земат од синовите твои и од керките твои, а она, што ке остане од оган ке загине;
26. ке ти ги соблечат облеките твои и ке ти ги земат накитите твои.

27. Така ке ставам крај на твојата расипаност и на твоето блудствување, што го вршеше во Египетската земја, и нема да ги свртуваш кон нив очите свои, и за Егиепт нема повеке да си спомнуваш.'
28. Оти, така вели Господ Бог: 'Еве, Јас те предавам во рацете на оние, кои ти ги замрази, во рацете на оние, од кои се одврати душата твоја.
29. И ке постапат со тебе жестоко; ке ти земат се, што е со труд заработено, ке те остават гола и непокриена, и откриена ке биде твојата срамна голотија, твојот блуд и бесчестие.
30. Тоа ке стане со тебе порати твоето блудствување со народите, со чии идоли ти се оскверни.
31. Ти одеше по патот на сестрата своја; затоа и ке ти ја дадам в рака чашата нејзина.'
32. Така вели Господ Бог: 'Ти ке пиеш од длабоката и широката чаша на сестрата своја и ке се изложиш на потсмев поради нејзината големина.
33. Со пијанство и тага ке бидеш исполнета: од чашата на ужасот и запустувањето, од чашата на сестра ти Самарија.
34. И ке ја испиеш и ке ја пресушиш, парчињата нејзини ке ги оближеш и градите свои ке ги издраскаш, оти Јас го реков тоа', вели Господ Бог.
35. Затоа, вака вели Господ Бог: 'Бидејки ти Ме заборави и се откажа од Мене, па трпи сега заради својот грев и поради своето блудствување.'
36. И ми рече Господ: 'Сине човечки, сакаш ли да им судиш на Охола и на Охолива? Кажи им ги нивните гнасотии;
37. оти тие прељубодејствуваа и крв има на рацете нивни, и со идолите свои прељубодејствуваа, а синовите свои, што Ми ги родија, преку оган ги пренесоа како храна за нив.
38. Ете, што Ми направија: го осквернуваа светилиштето Мое во ист ден и ги нарушуваа саботите Мои;
39. Оти кога ги колеа децата свои за своите идоли, во истиот ден доа аа во светилиштето Мое, за да го осквернат; ете, како постапуваа тие во Мојот дом.
40. Освен тоа, пракаа и по лу е, што доа аа оддалеку; пра аа при нив пратеници и, ете, тие доа аа, и ти за нив се капеше, ги дотеруваше очите свои и со накити се китеше.
41. Седеше на убово легло, пред кое имаше маса и на неа ги ставаше Моите благопријатни кадива и Мојот елеј.
42. Се слушаше гласот на народот, кој ликуваше, и при лу ето од народот доведуваа пијаници од пустињата; и на рацете нивни ставаа гривни и на главите нивни - украсени венци.
43. Тогаш реков за остарената во прељубодејство: ‘Сега ке се свршат блудствувањата нејзини заедно со неа‘.
44. Но доа аа при неа: доа аа како што се доа а кај жена блудница, така доа аа кај Охола и кај Охолива, при тие растурени жени.
45. Но мажи праведни ке ги судат со суд за перљубодејки и со суд за крвопроливачки, оти тие се прељубодејки и по нивните раце има крв.
46. Така вели Господ Бог: да се свика против нив собрание и да ги предадат на мака и грабеж.
47. И собранието ке ги убие со камења и ке ги испосече со мечевите свои, ке ги убие синовите нивни и керките нивни и со оган ке ги изгори куките нивни.
48. Така ке го ставам крајот на расипаноста на таа земја и сите жени ке го имаа тоа како пример, па нема да вршат срамни работи како вас.
49. И ке го свртат вашето бесчестие против вас, па ке претрпите казна за гревовите за вашите идоли, и ке познаете, дека Јас сум Господ Бог.'

Глава 24

1. И слово Господово до мене во деветтата година, десеттиот месец, во десеттиот ден од месецот:
2. 'Сине човечки, запиши го името на овој ден, на овој ист ден: во тој ист ден вавилонскиот цар ке настапи против Ерусалим.
3. Изречи пророштво против отстапничкиот дом и кажи им - вака вели Господ Бог: 'Стави котел, стави и наполни го со вода;
4. стави во него парчиња месо, сите парчиња да бидат најдобри, колкови и плешки и напони го со одбрани коски;
5. земи одбрани овци и стави под нив коски и вари ги додека и коските не се разварат во него.'
6. Затоа вака вели Господ Бог: 'Тешко му на крвничкиот град, тешко на котелот во кој има бигор и од кој бигорот не се вади; парче по парче исфрлајте од него; но жреб не фрлајте за него.
7. Зашто крвта негова е во него; тој ја остави на гол камен; не ја проли врз земјата, каде што би можело да се покрие со прав.
8. За да предизвикам гнев за извршување на одмаздата, Јас ја оставив крвта на гол камен, за да не се покрие.'
9. Затоа, така вели Господ Бог: 'Тешко му на крвавиот град', и Јас ке ставам голем оган;
10. притури дрва, распали го огнот, развари го месото; сето тоа нека се згусти, а коските да се изгорат.
11. И кога котелот ке остане празен, стави го врз јаглен за да се вжешти и усвити неговиот бакар, па нечистотијата негова да се стопи во него, и сиот бигор да исчезне.
12. Трудот ке биде тежок; но многуте бигори нема да се извадат од него; дури и во огнот од бигорот ке остане во него.
13. Во твојата нечистотија има таква гадотија, што колку и да те чистам, ти се уште ке останемш нечист; од твојата нечистотија ти и во иднина нема да се очистиш, се додека не се исполни гневот Мој врз тебе.
14. Јас, Господ, Јас го зборувам ова: тоа ке дојде, Јас ке извршам; нема да одменам, нема да поштедам и нема да се смилувам. Според твоите патишта и според твоите дела ке ти судам', вели Господ Бог.
15. И би слово Господово до мене:
16. 'Сине човечки, еве, Јас преку поразот ке ти ја земам утехата на твоите очи; но ти да не тажиш и не плачи и слози не пролевај.
17. Воздивнувај тивко, не оплакувај го умрениот; врзи си шамија и обувај ги нозете свои со твоите обувки, брадата не покривај ја и леб од ту и лу е не јади.'
18. И, откако утрината му зборував на народот, вечерта умре жената моја и на вториот ден направив, така како што ми беше заповедано.
19. И ми рече народот: 'Нема ли да ни кажеш какво значење има за нас што го правиш тоа?'
20. Им одговорив: кон мене би слово Господово:
21. 'Кажи му на домот Израилев - така вели Господ Бог - еве, Јас ке го препуштам светилиштето Свое на поруга, потпора на силата ваша, утеха на очите ваши и радост на душите ваши, а вашите синови и вашите керки, што ги оставивте, ке паднат од меч.
22. И вие ке го правите истото што го правев и Јас; брадата нема да ја сокривате и леб од ту инци нема да јадете.
23. И шамиите ваши ке бидат на главите ваши, и обувките ваши на нозете ваши; нема да тажите и да плачете, туку ке чезнеете поради вашите гревови и ке воздивнувате еден пред друг.
24. А Језекиил ке ви биде знак за сето тоа што он го направи, и вие ке го правите тоа; и кога ке се збидне тоа, ке познаете, дека Јас сум Господ Бог.
25. А што се однесува до тебе, сине човечки, во оној ден, кога ке го земам од нив украсот на

славата нивна, утехата на очите нивни, и радоста на душите нивни, синовите нивни и керките нивни,
26. во тој ден ке дојде при тебе оној што се спасил оттаму за да те извести.
27. Во тој ден пред спасениот ке ти се отвори устата твоја и ти ке зборуваш и нема веке да бидеш безгласен, а ке станеш знак за нив и ке познаат, дека Јас сум Господ.'

Глава 25

1. И би слово Господово до мене:
2. 'Сине човечки', сврти го лицето свое кон синовите Амонови и кажи пророштво против нив,
3. и речи им на синовите Амонови: 'Чујте го словото на Господа Бога: така вели Господ Бог - бидејки за Моето светилиште се вели: ‘о, о,‘ а тоа е навреда и за Израилевата земја, оти таа е опустошена, и за домот Јудин, бидејки тие отидоа во ропство.
4. Затоа, еве, Јас ке те дадам во наследство на синовите од Исток и ке направат при тебе колиби, ке распнат кај тебе шатори и ке ги јадат плодовите твои и ке го пијат млекото твое.
5. Рава ке ја направам обор за камили, и синовите Амонови - овчари, па ке познаете, дека Јас сум Господ.'
6. Затоа вака вели Господ Бог: 'Бидејки ти плесна со рацете и тропна со ногата, со сиот презир кон земјата Израилева, душевно се зарадува,
7. еве, Јас, ке ја протегнам раката Своја против тебе и ке те предадам да те разграбаат народите, и ке те истребам од бројот на народите и ке те избришам од бројот на земјите; ке те уништам и ке познаеш, дека Јас сум Господ.'
8. Така вели Господ Бог: 'Бидејки Моав и Сеир велат: ете и домот Јудин е како сите народи.'
9. Еве, Јас ке ја откријам земјата Моавска од крај до крај, за да остане без градовите што им беа украс на земјата: Бет - Јесимот, Валмеон и Киријатаим,
10. за синовите од Исток и ке им го дадам во наследство заедно со синовите Амонови, та синовите Амонови да не се спомнуваат повеке ме у народите.
11. И Моав ке го судам, па ке познаат, дека Јас сум Господ.'
12. Така вели Господ Бог: Бидејки Едом жестоко му се одмаздуваше на домот Јудин и тешко згреши, со тоа што им се одмаздуваше,
13. вака вели Господ Бог: 'Ке ја протегнам раката против Едом и ке ги истребам при него лу ето и добитокот и ке го направам пустиња. Од Теман до Дедан, сите ке паднат од меч.
14. И ке му се одмаздам на Едом преку раката на Мојот народ, Израилот; и тие ке дејствуваат во Идумеја по Мојот гнев и Моето негодување, па ке го познаат Моето одмаздување', вели Господ Бог.
15. Така вели Господ Бог: 'Затоа што Филистејците постапија со одмазда и се одмаздуваа со презир во душата за погибел, со вечна омраза,
16. така вели Господ Бог - еве, ке ја протегнам раката Своја над Филистејците, ке ги истребам оние од Крит и ке го уништам нивниот остаток покрај морскиот брег;
17. и ке извршам над нив голема одмазда со жестоки казни; па ке познаат дека Јас сум Господ, кога ке го извршам над нив Моето одмаздување.'

Глава 26

1. Во единаесеттата година, во првиот ден од првиот месец, би слово Господово до мене:
2. 'Сине човечки, поради тоа што Тир ликуваше над Ерусалим: ‘о, о‘, се скрши вратата на народите, и тие се обрнаа кон Мене; ќе се збогатам - тој е опустошен.'
3. Така вели Господ Бог, еве, Јас сум против тебе, граде Тире, и ќе кренам против тебе многу народи како морето што ги крева брановите свои.
4. И ќе ги разбијат ѕидовите на Тир и ќе ги разрушат кулите негови; и ќе го изметам правот негов и ќе го направам гол камен.
5. Ќе биде место за простирање мрежи во морето; зашто Јас го реков тоа, вели Господ Бог, и ќе биде разграбен од народите.
6. А ќерките негови, што се во земјата, ќе бидат со меч убиени и ќе познаат, дека Јас сум Господ.'
7. Оти така вели Господ Бог: 'Еве, против Тир ќе го доведам од север Навуходоносор, вавилонскиот цар, царот над царевите, со коњи и со коли, со коњаница и со војска и со многуброен народ.
8. Тој со меч ќе ги убие ќерките твои во земјата, ќе подигне против тебе опсадни кули, ќе направи опкоп против тебе и ќе постави штитови против тебе;
9. Ќе донесе машини за разбивање ѕидови до самите ѕидови и ќе ги разруши кулите твои со секири.
10. Од многуте негови коњи прав ќе те покрие, од шумот на јавачите, на тркалата и на колите ќе се затресат ѕидовите твои, кога ќе влезе во портите твои, како што се влегува во разбиен град.
11. Со копитата на коњите свои ќе ги изгази твоите улици, народот твој со меч ќе го убие и спомениците на твојата сила на земјата ќе ги соборува.
12. И ќе го разграбат твоето богатство, ќе ја пленат твојата стока, ќе ги разрушат твоите ѕидови, ќе ги урнат твоите убави домови, твоите камења и твоите дрвја и земјата твоја ќе ја фрлат во вода.
13. И ќе престане гласот од твоите песни и звукот од твоето гусле нема повеќе да се слуша;
14. и ќе те направам гол камен, ќе станеш место за простирање мрежи; нема да биде одново изграден, зашто Јас, Господ, го реков тоа', вели Господ Бог.
15. Така вели Господ Бог кон Тир: 'Од потресот на твоето па ање, од офкањето на ранетите, кога ќе се извршува над тебе убивањето, нема ли да затреперат островите?
16. И ќе слезат од престолите свои сите кнезови на морето, ќе ги соблечат од себе своите наметки, ќе ги симнат од себе своите везени облеки, ќе се облечат во трепет, ќе седнат на земја и секоја минута ќе треперат и ќе се чудат заради тебе.
17. И ќе почнат да плачат за тебе и ќе ти речат: 'Како пропадна, славни граде, во кој живеат поморци, народ силен по морето, ти и жителите твои кои влеваа страв на сите оние, што живееја во тебе!'
18. Сега, во денот на твоето па ање, затреперија островите, островите морски се смутија од твојата погибел.
19. Оти така вели Господ Бог: кога ќе те направам запустен град, како ненаселените градови, кога ќе ја подигнам против тебе безднатa и ќе те покријат големи води,
20. тогаш ќе те соборам со оние, што слегуваат во гроб, при оние што порано постоеле, и ќе те ставам во долната земја, во вечната пустиња, со спуштените во гроб, за да не бидеш веќе населен; и ќе ја објавам славата во земјата на живите.
21. За ужас ќе те направам, и нема да те има; ќе те бараат, но повеќе нема да те најдат никогаш', вели Господ Бог.

Глава 27

1. И би слово Господово до мене:
2. 'А ти, сине човечки, викни, па заплачи по Тир.
3. И кажи му на Тир, кој се населил при влезот на морето, и тргува со народите од многу
острови - вака вели Господ Бог: Тире, ти велиш: 'јас сум совршена убавина.‘'
4. Твоите предели се во срцето на морињата; твоите градители совршено ја изградиле твојата
складност;
5. од сенирски кипариси ги направија сите твои подови; зедоа од Ливан кедри, за да ти
направат јарболи;
6. од васански дабови правеа весла; столовите ги правеа до буково дрво, ишарано со слонова
коска од Китимските острови,
7. шарени платна египетски употребуваа за едра и служеа како знаме; сини и пурпурни
ткаенини се земаа од Елинските острови за покривала.
8. Жителите сидонски и арвадски ти беа стругари; Тире, ти имаше вешти лу е; тие ти беа
кормилари.
9. Старешините од Гевал и неговите вешти лу е ти служеа за разни поправки; ти имаше
секакви морски кораби и едрењаци, кои ги служеа за тргување.
10. Персијците, Ливијците и Лидијците се нао аа во твојата војска и ти беа војници; закачуваа
по тебе штитови и шлемови; тие ти придаваа величие.
11. Синовите Арватски со твојата сопствена војска стоеја наоколу по твоите ѕидови; и
Гамадимците стоеја на кулите твои; тие беа ги закачиле своите штитови по твоите ѕидови
наоколу; и тие ти ја претставуваа твојата убавина.
12. Тарсис, твојот трговец, располагајки со различно богатство, за стоките твои пла аше
сребро, железо, олово и калај.
13. Јаван, Тувал и Месех тргуваа со тебе, разменувајки ги стоките за човечки души со бакарни
садови.
14. Од домот на Тогарма ти донесуваа за стоките твои коњи, коњаници и маски.
15. Синовите на Дедан тргуваа со тебе; многу острови вршеа со тебе размена, ти плакаа со
слонова коска и абанос.
16. Поради големото твое трговско богатство, тргуваа со тебе и Арамејците; за стоките твои ти
плакаа со смарагд, пурпурно шарени ткаенини и висон, со корали и рубини.
17. Јудеја и земјата Израилева тргуваа исто така со тебе; за твојата стока ти плакаа со
пченица, мириси и мед, елеј и балсам.
18. Дамаск поради богатството во стоки, поради изобилието на секакви работи, ти донесуваше
хелвонско вино и бела волна.
19. Дан и Јаван од Узал ти плакаа за твоите стоки со изработки од железо, касија и цимет, за
размена.
20. Со тебе тргуваше и Дедан со скапоцени волнени покривки за седла.
21. Арабија и сите кидарски кнезови вршеа размена со тебе: на јагниња, овни и кози.
22. Трговците од Сава и Рама тргуваа со тебе со секакви најблагопријатни мириси и со секакви
скапоцени камења, и злато ти плакаа за твоите стоки.
23. Харан, Кан и Еден, савските трговци, Асун и Хилмат исто така тргуваа со тебе.
24. Тие ти продаваа скапоцени облеки од свилени и шарени материи што ги носеа на пазарите
твои во скапи сандаци, направени од кедар и добро врзани.
25. Тарсиските кораби беа твои каравани во трговијата, и ти стана богат и многу славен ме у
морињата.
26. Весларите твои те одведоа во големите води; источниот ветар те разби среде морињата.
27. Твоето богатство и твоите стоки, сите твои ризници, твоите бродари и твоите кормилари,
кои ги поправаа твоите кораби, и ја пренесуваа твојата трговија, сите твои војници, какви што
ги имаше и сето множество народ твој, при твоето па ање ке паднат во срцето на морето.

28. Од пискотот на твоите кормилари ке затреперат и околните места.
29. И ете од корабите ке излезат сите веслари, бродари, сите кормилари морски и ке излезат на земјата.
30. Со висок глас ке заплачат за тебе и тешко ке заофкаат, ставајки си пепел на главите свои и валкајки се во прав.
31. Ќе ја истрижат за тебе косата своја до черепот, а ке опашаат врекишта и со горчлив плач ке заплачат за тебе од душевна мака.
32. И во тагата своја ке предизвикаат кај тебе жална песна, и така тие ке заплачат за тебе: 'Кој е како Тир, така разрушен среде морињата!'
33. Кога доа аа од морињата твоите стоки, ти задоволуваше многу народи; со големото богатство и со трговијата ти ги богатеше царевите на земјата.
34. А кога беше ти разбиен од морињата во водената бездна, твоите стоки и сиот твој народ потона.
35. Сите жители на островите се запрепастија за тебе и царевите нивни почнаа да треперат, лицата им се изменија.
36. Трговците на другите народи си потсвиркуваа за тебе; ти стана како страшило и нема веке да те има засекогаш.

Глава 28

1. И би слово Господово до мене:
2. 'Сине човечки, кажи му на началникот на Тир - вака вели Господ Бог: затоа што го издигна срцето свое и велиш: ‘Јас сум бог, седам на божји стол, во срцето на морињата‘, и бидејќи човек си, а не бог, го заменуваш твојот ум со умот на Бога,
3. ете, како да си помудар од Даниила; и нема тајна, сокриена од тебе;
4. со мудроста своја и со разумот свој ти се здоби со богатство и во своите ризници собра злато и сребро;
5. со големата мудрост своја преку трговијата своја ти го зголеми богатството свое,
6. затоа, вака вели Господ Бог: - Бидејќи го изедначуваш твојот ум со умот на Бога,
7. еве, Јас ќе доведам против тебе другоземци, највешти меѓу народите, и тие ќе ги извадат своите мечеви против убавината на твојата мудрост и ќе го помрачат твојот блесок;
8. тие ќе те турнат во гроб и ќе умреш во срцето на морињата, со смрт на убиени.
9. Ќе речеш ли тогаш пред твојот убиец: ‘јас сум бог‘, кога во раката на оној, што ќе те убива, ти ќе бидеш човек, а не бог?
10. Ти ќе умреш од раката на другоземци со смрт како необрезан; оти Јас го реков тоа', така вели Господ.
11. И би слово Господово до мене:
12. 'Сине човечки, плачи за тирскиот цар и кажи му: - вака вели Господ Бог: ти си печат на совршенство, полнота на мудроста и венец на убавината.
13. ти беше во Едем, во Божјата градина; твоите облеки беа украсени со секакви скапоцени камења: рубин, топаз, дијамант, хризолит, оникс, јаспис, сапфир, карбункул, смарагд и злато, сите вешто исткаени и нанижани на тебе, приготвени во денот кога беше создаден.
14. Ти беше помазан херувим за да осенува, и Јас те поставив за тоа; ти беше светата Божја гора, одеше среде огнени камења.
15. Ти беше совршен во патиштата свои, од денот кога беше создаден, се додека не се најде во тебе беззаконие.
16. Од твојата проширена трговија утробата твоја се исполни со неправда и ти згреши; и Јас те соборив како нечист од Божјата гора, те истерав тебе, херувиме, што осенуваше, среде огнени камења.
17. Од убавината твоја се возгордеа срцето твое, поради богатството твое си ја загуби мудроста своја; затоа Јас ќе те соборам на земја, ќе те предадам на потсмев пред царевите.
18. Со многуте гревови свои во неправедната твоја трговија ти ги оскверни твоите светилишта; и Јас ќе пуштам оган пред тебе, што ќе те проголта; и Јас ќе те претворам во пепел на земјата пред очите на сите, што ќе те видат.
19. Сите, што те знаеја меѓу народите, ќе се зачудат за тебе, ти ќе станеш за ужас и нема да те има повеќе.'
20. И би слово Господово до мене:
21. 'Сине човечки, сврти го лицето свое кон Сидон, и пророкувај против него:
22. Ете Јас сум против тебе, Сидоне, и ќе се прославам во тебе и ќе познаат дека сум Јас Господ, кога ќе одржам суд над него и ја покажам во него Мојата светост.
23. И ќе пратам во него помор и крв на улиците негови и ќе паднат среде него убиени од меч, кој ќе ги нападне сите одреда и ќе познаат, дека Јас сум Господ.
24. И во иднина тој нема да биде бодлив трн за домот Израилев и причинител на болка трнлива, повеќе од сите соседи што му сакаат зло и ќе познаат, дека Јас сум Господ Бог.'
25. Така вели Господ Бог: кога ќе го соберам домот Израилев меѓу народите, кај кој се распрснал и ќе ја објавам кај нив светоста Своја пред очите на племињата и тие заживеат во земајта своја, која му ја дадов на Мојот слуга Јакова,
26. тогаш ќе живеат во неа безопасно и ќе си изградат куќи, ќе насадат лозја и ќе живеат во безопасност, зашто ќе извршам суд над сите наоколу што ги презираа. И тогаш ќе разберат

дека Јас сум Господ Бог нивни.

Глава 29

1. Во десеттата година, десеттиот месец, во дванаесеттиот ден од месецот, би слово Господово до мене:
2. 'Сине човечки, сврти го лицето свое кон Фараонот, египетскиот цар, и изречи пророштво против него и против целиот Египет.
3. Говори и кажи им - вака вели Господ Бог: еве, Јас сум против тебе Фараоне, цару египетски, голем змеју, кој лежиш по реките свои и велиш: ‘моја е реката и јас ја создадов заради себе.‘
4. Но Јас ке ставам јадица во твоите челусти и на твоите лушпи; и ке те извлечам од реките твои со сета риба на твоите реки, што се залепила на твоите лушпи;
5. ке те фатам во пустињата, тебе и сета риба од твоите реки; ти ке паднеш на откриено поле; нема да те земат и соберат; ке допуштам да те изедат ѕверовите земни и птиците небески.
6. И ке познаат сите жители на Египет, дека Јас сум Господ, оти тие беа на домот Израилев потпорна трска.
7. И кога се фатија со раката своја за тебе, ти се раскина и целото нивно рамо беше избодено; и кога се потпреа на тебе, ти се скрши и им ги изнарани сите нивни бедра.'
8. Затоа, вака вели Господ Бог: 'Еве, Јас ке испратам против тебе меч и ке ги истребам кај тебе лу ето и добитокот.
9. Египетската земја ке стане пустиња и степа; па ке познаат, дека Јас сум Господ. Бидејки тој вели - моја е реката и јас ја создадов,
10. затоа, еве, Јас сум против твоите реки и Египетската земја ке ја направам пустиња над пустињите од Мигдол до Сиена, до пределот на Етиопија.
11. Нема да оти по неа човечка нога и нога на добиток нема да стапне на неа, и нема да се живее на неа четириесет години.
12. И ке ја направам земјата Египетска пустиња ме у запустени земји; и градовите нејзини ме у запустени градови, ке бидат пусти четириесет години и ке ги растурам Египтјаните ме у народите и ке ги распрснам по земјата.
13. Оти вака вели Господ Бог: откако ке изминат четириесет години, Јас ке ги соберам Египтјаните од кај народите, каде што ке бидат растурени.
14. И ке ги вратам египетските заробеници и ке ги доведам назад во земјата Патрос, во земјата на нивното потекло и тие таму ке преставуваат слабо царство.
15. Тоа ке биде послабо од другите царства и нема веке да се гордее над народите; ке ги смалам, за да не владеат над народите.
16. И во иднина, тие нема да бидат потпора на домот Израилев, за да го спомнуваат нивното беззаконие, кога се обрнуваа кон него; и ке познаат, дека Јас сум Господ Бог.'
17. Во дваесет и седмата година, првиот месец, во првиот ден од месецот, би слово Господово до мене:
18. 'Сине човечки, Навуходоносор, царот вавилонски, ја истошти војската своја со големи работи при градот Тир: секоја глава окелаве и секое рамо беше изнарането; но ни за него, ни за војската немаше награда од Тир за трудот што тој го употреби против него.'
19. Затоа, така вели Господ Бог: 'Еве, Јас му ја давам на вавилонскиот цар Навуходоносор земјата Египетска, за да го собере богатсвото нејзино, да изврши грабеж во неа и да однесе се, што грабела таа, и тоа ке биде награда за неговата војска.
20. Како награда за работата, која тој ја изврши во него, Јас му ја предавам земјата Египетска, оти тој го вршеше тоа заради Мене, вели Господ Бог.
21. Во тој ден ке го вратам рогот на домот Израилев и тебе ке ти ја отворам устата ме у нив, па ке познаат дека Јас сум Господ.'

Глава 30

1. И би слово Господово до мене:
2. 'Сине човечки, изречи пророштво и кажи - вака вели Господ Бог: плачете, ете иде злочест ден.
3. Зошто близок е денот, да, близок е денот Господен, денот мрачен; часот на народите иде.
4. И ке тргне меч против Египет и ужас ке се распространи во Етиопја, кога поразените од Египет ке паднат, кога ке го земат богатството негово и кога основите негови ке бидат разрушени.
5. Етиопја, Либија, Лидија, сиот измешан народ и Хуб, како и синовите на заветната земја заедно со нив ке паднат од меч.
6. Така вели Господ Бог, ке паднат потпорите на Египет и ке падне гордоста на неговата мок; од Мигдол до Сиена ке па аат во него од меч, вели Господ Бог.
7. И тој ке се запусти ме у опустошените земји и градовите негови ке бидат ме у опустошените градови.
8. И ке познаат, дека Јас сум Господ, кога ке го пратам огнот врз Египет и сите негови сили ке бидат скршени.
9. Во оној ден, ке тргнат од Мене известители со кораби за да ги уплашат безгрижните Етиопјани, и ке се распространи ме у нив ужас, како во денот на Египет; оти, ете, тој иде.
10. Така вели Господ Бог: на египетскиот многуброен народ ке му ставам крај преку раката од Навуходоносора, царот вавилонски.
11. Тој и народот негов со него, најжестоки ме у народите, ке бидат доведени за погибел на таа земја и ке ги извадат мечевите свои против Египет и ке ја наполнат земјата со убиени.
12. Ке ги пресушам реките и ке ја предадам земјата во рацете на лошите и со раката на ту оземците ке ја опустошам земјата и се што ја исполнува. Јас, Господ, го реков тоа.'
13. Така вели Господ Бог: 'Ке ги истребам идолите и ке ги уништам лажните богови во Мемфис и во земјата Египетска нема повеке да има сопственик, и ке пратам страв во земјата Египетска.
14. Ке го опустошам Патрос, ке испратам оган, во Соан и ке одржам суд над Но.
15. Ке ја излијам јароста Своја врз Син, египетската тврдина, и ке го истребам многубројниот народ во Но.
16. Ке испратам оган врз Египет, ке затрепери Син и Но ке биде разрушен. А врз Мемфис ке нападнат непријателите среде бел ден.
17. Младите лу е од Он и од Бубаст ке паднат од меч, а другите ке бидат одведени во ропство.
18. И во Тафнис ке се помрачи денот кога таму ке го скршам јаремот египетски и ке се прекрати во него неговата горда мок. Облак ке го покрие и керките негови во ропство ке отидат.
19. така ке го пресудам Египет, па ке познаат дека Јас сум Господ.'
20. Во единаесеттата година, во првиот месец, на седмиот ден од месецот, би слово Господово до мене:
21. 'Сине човечки, Јас веке ја скршив мишката на Фараонот, египетскиот цар, и ете, таа уште не е преврзана, за да биде излекувана, и не е завиткана со лекарски преврски, од кои би добила сила, за да држи меч.
22. Затоа, вака вели Господ Бог: еве Јас сум против Фараонот, египетскиот цар и ке ги скришам мишките негови, здравата и искршената, така што мечот ке му падне од рацете негови.
23. Ке ги растурам Египтјаните ме у народите и ке ги развеам по земјите.
24. А мишките на вавилонскиот цар ке ги направам јаки, во раката негова ке му дадам Свој меч; и мишките на Фараонот ке ги скршам и тој изнаранет ке офка силно пред него.
25. Ке ги зацврстам мишките на вавилонскиот цар, а мишките на Фараонот ке отпаднат; и ке познаат, дека Јас сум Господ Бог, кога ке му го дадам мечот Свој во раката на вавилонскиот

цар, и тој ке го потегне врз земјата Египетска.
26. Ке ги растурам Египтјаните ме у народите и ке ги развеам по земјата, и тие тогаш ке познаат, дека Јас сум Господ.'

Глава 31

1. Во единаесеттата година, третиот месец, на привиот ден од месецот, би слово Господово до мене:
2. 'Сине човечки, кажи му на Фараонот, египетскиот цар и на народот негов - со кого се споредуваш ти во твоето величие?
3. Ете, Асур беше кедар ливански со убави гранки, искитен и висок; врвот негов - ме у густи облаци.
4. Водите го правеа да расте, бездната го издигаше, реките го опкружуваа неговиот корен и тој ги ширеше потоците свои кон сите полски дрвја.
5. Затоа височината негова ги надминуваше висините на сите полски дрвја; на него имаше многу гранки; ветките му се умножуваа и гранките стануваа долги од многу вода кога растеше.
6. Во неговите гранки секакви небески прици си правеа гнезда, а под гранчињата негови се ра аа мали од секаков вид полски ѕверови, додека под сенката негова живееја многубројни народи.
7. Тој се разубавуваше со својот висок раст, со долгите гранки, затоа што коренот му се нао аше покрај големи води.
8. Кедрите во Божјата градина не го засенуваа; кипарисите не се изедначуваа со неговите гранки, и јаворите не беа толку високи колку неговите врвови; ниедно дрво во Божјата градина не можеше да се споредува со него по убавината своја.
9. Јас го украсив со многуте гранки, така што сите едемски дрвја во Божјата градина му завидуваа.'
10. Затоа, така вели Господ Бог: 'Бидејќи израсна висок и се издигна врвот негов ме у дебелите гранки, и срцето му се возгордеа од неговата големина,
11. затоа јас го предадов во рацете на сопственикот на народите; тој постапи со него како што требаше да постапи; но поради неговото беззаконие Јас го отфрлив.
12. И го исекоа ту инците, најлути ме у народите, па го соборија; гранките негови па аа по горите и по сите долини се кршеа неговите гранчиња по сите полиња, а од неговата сенка избегаа сите народи од земјата и го оставија.
13. На неговото паднато стебло се сместија многу небески птици, а ме у гранките - секакви полски животни.
14. Тоа се стана, за да не се гордеа со својот висок раст никакви дрвја покрај водите, да не ги издигаат врвовите свои до густите облаци и да не се допираат до него со нивната височина дрвја што пијат многу вода; оти сите тие ке бидат предадени на смрт во пеколот заедно со синовите човечки, што порано слегнале во гроб.'
15. Вака вели Господ Бог: 'Во оној ден, кога тој слезе во гроб, Јас направив да жалат за него, ја затворив бездната поради него и ги запрев реките нејзини, ги задржав големите води и го нажалив за него Ливан, и сите полски дрвја тагуваа по него.
16. Се затресоа од неговото па ање. Јас ги доведов народите во трепет, кога го кутнаа во пеколот, при оние што порано слегнале во гроб, и се зарадуваа во адот сите дрвја едемски, одбраните и најдобрите на Ливан, сите што пијат вода;
17. оти и тие слегоа со него во бездната при убиените со меч, како и неговите сојузници што живееја под сенката негова ме у народите.
18. Па така со кое ли од едемските дрвја се споредуваш ти по слава и величина? Но, сега заедно со едемските дрвја и ти ке биде соборен во бездната, ке лежиш со необрезаните, ме у убиени од меч. Тоа Фараонот и сиот негов многуброен народ', вели Господ Бог.

Глава 32

1. Во дванаесеттата година, дванаесеттиот месец, во првиот ден од месецот, би слово Господово до мене:
2. 'Сине човечки, извикај и заплачи за Фараонот, царот египетски, и кажи му: ти си како млад лав ме у народите и како чудовиште во морето, се фрлаш во реките свои и ги матиш водите со нозете свои и ги газиш потоците нивни.
3. Така вели Господ Бог: Јас ке ја фрлам врз тебе Мојата мрежа во собранието на многу народи, и тие ке те извлечат со Мојата мрежа.
4. И ке те исфрлам на земја, на откриено место ке те фрлам, и ке слетуваат на тебе секакви небески птици, и ке се наситуваат од тебе ѕверовите на целата земја.
5. И ке ги расфрлам месата твои по планините и долините ке ги наполнам со твоите трупови.
6. И земјата, по која одиш, ке ја напојам со твојата крв дури до планините; и потоците ке бидат исполнети со тебе.
7. А кога ке угаснеш, ке го покријам небото и ѕвездите на него ке ги потемнам, сонцето со облак ке го покријам и месечината нема да свети со светлината своја.
8. Сите светила што светат на небото ке ги затемнам над тебе и врз твојата земја ке пратам мрак, вели Господ Бог.
9. Ќе го доведам во смут срцето на многу народи, кога ке разгласам за твоето па ање ме у народите по земјите, кои ти не ги познаваше.
10. И преку тебе ке ги доведам во ужас многуте народи и царевите нивни ке затреперат со страв за тебе, кога ке го размавтам мечот свој пред лицето нивно и секој минут ке трепери секој за душата своја во денот на твоето па ање.
11. Оти, така вели Господ Бог: мечот на вавилонскиот цар ке падне врз тебе.
12. Од мечот на силните ке падне твојот народ; сите тие се најлути ме у народите; ке ја уништат гордоста на Египет - и сиот негов народ ке загине.
13. И ке го истребам сиот негов добиток при големите води и во иднина нема да ги мати човечка нога, ниту, пак, ке ги разматува копитото од добиток.
14. Тогаш ке ги смирам водите нивни и реките нивни ке ги направам да течат како масло, вели Господ Бог.
15. Кога ке ја направам Египетската земја пустиња, кога земјата ке се лиши од се, што ја исполнува, кога ке ги поразам сите што жиеват на неа, тогаш ке познаат, дека Јас сум Господ.
16. Еве ја тажната песна, што ке ја пеат; керките на народите ке ја пеат; за Египет и за сиот негов многуброен народ ке ја пеат,' вели Господ Бог.
17. Во дванаесеттата година на петнаесеттиот ден од истиот месец би слово Господово до мене:
18. 'Сине човечки: плачи за египетскиот народ и спушти го него и керките на познатите народи во бездната, заедно со оние што слегуваат во гроб.
19. Од кого си подобар? Слези и лежи со необрезаните.
20. Тие ке паднат ме у убиените со меч, и тој е предаден на меч; влечете го него и сето негово множество.
21. Во бездната ке зборуваат за него и за сојузниците негови, најдобрите јунаци; тие паднаа и лежат веке така ме у необрезаните, убиени со меч.
22. Таму е Асур и сиот негов народ, околу него, се гробовите нивни; сите тие се поразени, паднати од меч.
23. Неговата гробница ја поставија во длабочината на бездната и народот негов е околу горбницата; сите се поразени, паднати од меч, сите што задаваа страв во земјата на живите.
24. Таму е Елам со сето множество околу гробницата негова; сите тие се поразени и паднати од меч; тие необрезани слегоа во бездната, оние кои распространуваа преку себеси ужас по земјата на живите и си го носат срамот свој заедно со слегнатите во гроб.
25. Ме у поразените му дадоа легло, со сето негово множество; околу него се гробовите нивни;

сите необрезани се поразени со меч, бидејки задаваа страв во земјата на живите; тие и го носат врз себе срамот подеднакво со оние што се спуштиле во гроб и се положени ме у поразените.
26. Таму се Месех и Тувал со сето свое множество; околу него се гробовите негови; сите необрезани, поразени се со меч, затоа што предизвикуваа ужас во земјата на живите.
27. Тие не треба да лежат со паднатите необрезани јунаци, кои со убојното оружје се спуштија во бездната и ги ставија своите мечеви под главите свои; нивниот грев остана врз коските нивни, бидејки тие како силни беа ужас во земјата на живите.
28. И ти ке бидеш убиен ме у необрезаните и ке лежиш со поразените од меч.
29. Таму е Едом, царевите негови и сите негови кнезови, кои и при сета своја храброст се положени ме у поразените со меч, тие лежат со необрезаните и сегнатите во гроб.
30. Таму се управителите на Север, тие сите и сите Сидонци, кои се спуштија долу со поразените, а кои беа посрамени во својата мок што предизвикуваше ужас, па лежат и тие се необрезани, со поразените од меч, и го носат срамот свој заедно со слегнатите во гроб.
31. Ке ги види Фараонот и ке се утеши за сето множество свое, поразен со меч, Фараонот и сета негова војска, вели Господ Бог.
32. Оти Јас зададов страв во земјата на живите и Фараонот со сето свое множество ке биде положен ме у необрезаните, заедно со поразените од меч', вели Господ Бог.

Глава 33

1. И би слово Господово до мене:
2. 'Сине човечки: кажи збор кон синовите на твојот народ и речи им: ако пратам врз некоја земја меч и народот на таа земја ме у себе избере човек и го постави за стражар,
3. и тој, штом ке го види мечот кој се протега врз земјата, ке затруби во труба и ке го предупреди народот,
4. па, ако некој го чуе трубниот глас, но не се претпази тогаш кога ке дојде мечот и ке го достигне, крвта негова ке падне врз главата негова.
5. Трубниот глас тој го чул, но не се претпазил, па затоа крвта негова ке падне врз него; а кој ке се претпази, тој ке си го спаси животот.
6. Ако, пак, стражарот го види мечот што иде и не затруби со трубата, така што народот нема да биде предупреден, тоа тогаш, кога ке дојде мечот и некому ке му го одземе животот, тој ке биде погоден заради гревот свој, но крвта негова ке ја барам од стражарот.
7. И тебе, сине човечки, Јас те поставив како стражар на домот Израилев: ти ке слушаш слово од Мојата уста и ке ги вразумуваш од Мене.
8. Кога ке му речам на грешникот: ‘грешнику, ти бездруго ке умреш‘, а ти не му кажеш ништо, не го опоменеш беззаконикот да го остави неговиот пат, грешникот ке умре за својот грев, но крвта негова ке ја барам од раката твоја.
9. Ако, пак, беззаконикот си го предупредил, да се врати од својот пат, а тој не се одвратил од патот свој, тој ке умре за својот грев, но ти ке ја зачуваш душата своја.
10. Сине човечки, кажи му на домот Израилев - вие велите: ‘нашите престапи и нашите гревови се врз нас, и ние пропа аме во нив, како тогаш можеме да живееме?‘
11. Кажи им, жив сум Јас, вели Господ Бог: Јас не ја сакам смртта на грешникот, туку грешникот да се одврати од својот пат и да остане жив. Вратете се, вратете се од вашите лоши патишта; зошто да умирате вие, доме Израилев?'
12. Сине човечки, кажи им на синовите од твојот народ; праведноста нема да го спаси праведникот во денот на неговиот престап, и грешникот поради беззаконието свое нема да падне во денот, кога ке се откаже од гревот свој, како и праведникот во денот, кога ке згреши, не ке може да остане ме у живите заради својата праведност.
13. Кога ке му речам на праведникот дека тој нема да биде жив, и тој се надева на својата праведност, па врши неправда, тогаш сите негови праведни дела нема да се спомнат, и тој ке умре од неправдата своја, што ја извршил.
14. А кога ке му кажам на грешникот: 'бездруго ке умреш', и тој се откаже од гревовите свои, па врши суд и правда,
15. а, ако тој грешник го врати залогот, го поврати ограбеното, оди по законот на животот и не врши ништо лошо, - тогаш тој ке живее, нема да умре.
16. Ниеден од неговите гревови, што ги извршил нема да му се спомнат; тој почнал да врши суд и правда, тој ке биде жив.
17. Синовите на твојот народ велат: 'не е прав патот на Господа', а всушност нивниот пат не е прав.
18. Кога праведникот ке отстапи од својата праведност и почне да врши беззаконие, тој ке умре заради тоа.
19. Кога, пак, грешникот ке се поврати од гревот свој и ке почне да врши суд и правда, заради тоа тој ке остане жив.
20. А вие велите: 'не е прав патот на Господа!'. Јас ке ви судам, доме Израилев, на секого од вас според патиштата негови.
21. Во дванаесеттата година од нашето преселување, десеттиот месец во петтиот ден од месецот, дојде при мене еден од избавените од Ерусалим и рече: 'разрушен е градот!'
22. Но уште пред да дојде спасениот, вечерта беше раката Господова врз мене и Он ја отвори устата моја, пред да дојде оној утредента при мене; ми се отвори устата и јас веке не бев

безгласен.
23. И би слово Господово до мене:
24. 'Сине човечки, оние, што живеат во запустените места на земјата Израилева, зборуваат и велат: Авраам беше еден и ја наследи оваа земја; а ние сме многумина, па затоа нам ни е дадена оваа земја да ја владееме.'
25. Затоа кажи им - вака вели Господ Бог: 'Вие ке јадете со крв, ке ги кревате очите свои кон идоли и ке пролевате крв, а сакате да владеете со оваа земја?
26. Вие се потпирате на мечот свој, вршите гнасни работи, ја осквернувате жената на својот ближен и сакате да владеете со земјата?
27. Еве што ке им кажеш - така вели Господ Бог: жив сум Јас! Оние, што се по разорените места, ке паднат од меч; оние, пак, што се нао аат во поле, ке им дозволам на ѕверовите да ги изедат. Кои се, пак, во тврдините и по пештери, со смрт ке ги поразам.
28. И ке ја направам земјата пустиња над пустињите, о гордата мок нејзина ке престане, па ке запустат планините Израилеви, така што не ке има кој да минува преку нив.
29. И ке познаат тогаш, дека Јас сум Господ, кога ке ја направам земјата пустиња над пустињите заради сите нивни гнасни дела, што ги извршиле.
30. А за тебе, сине човечки, синовите од твојот народ прикажуваат покрај ѕидовите и пред портите на куките, и си велат еден на друг, брат на брат: ‘Одете и послушајте какво слово дојде од Господа!‘
31. И тие ке доа аат при тебе како на собрание народно и Мојот народ ке седи пред лицето твое и ке ги слуша зборовите твои, но нема да ги извршува; оти тие од тоа во устата своја си прават шеги, а срцето нивно се вовлекува по нивната лакомост.
32. Па, ете, за нив ти си пеач со пријатен глас и кој убави свири: тие ги слушаат твоите зборови, но не ги исполнуваат.
33. А кога ке дојде тоа, - а, еве, веке иде, - тогаш ке познаат, дека ме у нив имало пророк.'

Глава 34

1. И би слово Господово до мене:
2. 'Сине човечки, изречи пророштво против пастирите Израилеви, изречи пророштво и кажи им на пастирите - вака вели Господ Бог: тешко на пастирите Израилеви, кои се пасеа сами себе! Зар пастирите не треба да го пасат стадото свое?
3. Вие јадевте масно месо и се облекувавте во волна, колевте угоени овци, а стадото не го пасевте.
4. Слаби не поткрепувавте, болни не лекувавте, ранети не преврзувате, истерани не вракавте и загубени не баравте, а управувавте со нив преку насилие и жестокост.
5. Тие се распрснаа без пастир, и откако се растурија, станаа плен на сите полски ѕверови.
6. Скитаат овците Мои по сите планини и по секој висок рид и распрснати се по зелата земја овците Мои, и никој не прашува за нив, и никој не ги бара.
7. Затоа, о, пастири, чујте го словото Господово:
8. Жив сум Јас, вели Господ Бог: заради тоа што овците Мои беа оставени да бидат разграбени, па, немајки пастир, станаа плен на сите полски ѕверови, и заради тоа што пастирите не ги бараа Моите овци, бидејки тие се пасеа сами себе, а Моето стадо не го пасеа,
9. затоа, пастири, чујте го словото Господово:
10. вака вели Господ Бог: еве, Јас сум против пастирите и ке ги барам овците Свои од рацете нивни, и нема да им дадам повеке да ги пасат овците, и пастирите нема повеке да се пасат самите себе, и ке ги одземам Моите овци од нивните челусти, и тие веке нема да бидат нивна храна.
11. Оти, така вели Господ Бог: еве, Јас сам ке ги побарам овците Мои и ке ги прегледам.
12. Како што пастириот го проверува стадото свое, во оној ден кога ке се најде ме у своето распрснато стадо, така ке ги прегледам Јас овците Мои и ке ги ослободам од сите места, каде што биле прснати во ден облачен и мрачен.
13. Ќе ги изведам од народите и ке ги соберам од земјите, ке ги доведам во земјата нивна и ке ги пасам по планините Израилеви, покрај потоци и по сите места, каде што се живее во таа земја.
14. Ќе ги пасам на добро пасиште и ке имаат свое трло на високите Израилеви планини; таму во трлото ке се одмораат добро и ке пасат на сочно пасиште, по планините Израилеви.
15. Моите овци, Јас ке ги пасам и ке ги одморам, вели Господ Бог.
16. Изгубена ке најдам и истерана ке вратам, ранета ке превијам и болна ке излекувам, здебелена и бујна ке исчистам; ке ги пасам со правда.
17. Вас, пак, овци Мои, така вели Господ Бог, Јас ке ве судам ме у овца и овца, ме у овен и козел.
18. Зар малку ви е тоа што пасете на добро пасиште, а другиот дел од пасиштето го газите со своите нозе, и пиете чиста вода, додека остатокот ја матите со нозете свои.
19. Па овците Мои треба да го јадат она, што сте го изгазиле вие со нозете свои, и да го пијат она, што сте го изматиле со нозете свои?
20. Затоа, вака вели Господ Бог: еве, Јас сам ке ве судам ме у овца згоена и овца слаба.
21. Бидејки со слабините и плеките се туркате, а со роговите ги бодете сите слаби додека не ги истерате надвор.
22. Но Јас ке ги спасам овците Мои и тие нема веке да бидат разграбувани, и ке пресудам ме у овца и овца.
23. И ке поставам над нив еден пастир, што ке ги пасе, слугата Мој Давида; тој ке ги пасе и тој ке им биде пастир.
24. И Јас, Господ, ке бидам нивни Бог, а Мојот слуга Давид ке биде нивни кнез. Јас, Господ, го реков ова.
25. И ке склучам со нив завет за мир и ке ги премавнам од тој дел на земјата сите лути ѕверови, така што тие ке живеат мирно во степата и ке спијат во горите.

26. Ќе ги благословам нив се што е околу ридот Мој и ќе им пракам навреме дожд; тоа ќе бидат дождови благословени.
27. И дрвјате во полето ќе го даваат својот плод и земјата ќе ги дава своите производи; и тие ќе бидат во безопаснот на земјата своја и ќе познаат дека Јас сум Господ, кога ќе ги скинам врските на јаремот и ги ослободам од рацете на нивните непријатели.
28. Тие нема веке да бидат плен за народите и полските ѕверови нема да ги јадат; тие ќе живеат спокојно и никој нема да ги заплашува.
29. И ќе им приготвам бујна градина, тие нема веке да умираат од глад на земјата и нема да трпат срам од народите.
30. И ќе познаат, дека Јас, нивниот Господ Бог, сум со нив и дека тие, домот Израилев, се Мој народ, вели Господ Бог,
31. и дека сте вие Мои овци, овци на Моето стадо; вие сте лу е, а Јас сум вашиот Бог,' вели Господ Бог.

Глава 35

1. И би слово Господово до мене:
2. 'Сине човечки, сврти го лицето свое кон планината Сеир, изречи против неа пророштво.
3. И кажи и: 'Вака вели Господ Бог - еве, Јас сум против тебе, планино Сеир, ке ја протегнам против тебе раката Своја и ке те направам пуста и ненаселена.
4. Градовите твои ке ги претворам во развалини и ти самата ке запустиш и ке познаеш, дека Јас сум Господ.
5. Бидејки во тебе има вечно непријателство и синовите Израилеви ги предаваше на меч во време на нивните маки, дури и при крајот на нивните беззаконија.
6. затоа, жив сум Јас, вели Господ Бог, бидејки со крв си згрешила и крвта ке те прогони; те гонам; оти крв не си мразела, затоа крвта ке те гони.
7. Планината Сеир ке ја направам пуста и степа без живот, и ке истребам во неа - и човек што доа а и човек што си оди.
8. И ке ги наполнам идолските светилишта со нејзините убиени; по твоите ридишта и по твоите долини и по сите твои полиња ке па аат поразени од меч.
9. Ке те направам вечна пустиња и во твоите градови ке нема живот, па ке познаеш, дека Јас сум Господ.
10. Бидејки ти велеше - овие два народа и овие две земји ке бидат мои и ние ке владееме со нив, иако е Господ таму.
11. Затоа, жив сум Јас, вели Господ Бог; ке постапам со тебе според мерката на твојата омраза и твојата завист, што ја искажуваше од омразата кон нив, и ке им се јавам кога ке ти судам.
12. И ке познаеш, дека Јас, Господ, ги чув сите твои навреди, што ги искажуваше против планините Израилеви, велејки: ‘запустеа, нам ни се дадени за храна!‘
13. Вие се гордеете пред Мене со јазикот свој и ги умножувете зборовите свои против Мене; Јас го чув тоа.
14. Така вели Господ Бог: кога целата земја ке се радува, Јас ке те направам пустиња.
15. Како што се радуваше, што делот од Израилевиот дом запусти, така ке направам и со тебе - ке бидеш опустошена, планино Сеир, и цела Идумеја заедно со тебе, па ке познаат, дека Јас сум Господ.'

Глава 36

1. А ти сине човечки, искажи пророштво за планините Израилеви и кажи: планини Израилеви, чујте го словото Господово.
2. Вака вели Господ Бог: бидејки непријателот вели за вас: 'о, о, и вечните светилишта ни паднаа како дел;'
3. затоа изречи пророштво и кажи: така вели Господ Бог - токму поради тоа, што ве опустошуваат и ве грабаат од сите страни, за да станете сопственост на други народи, и да се изложите на срам и поруга,
4. затоа, планини Израилеви, чујте го словото од Господа Бога - вака им вели Господ Бог на планините и на ридовите, на долиштата и долините и на запустените урнатини и напуштените градови, кои станаа грабеж и подбив за другите околни народи;
5. затоа така вели Господ Бог: во Својата пламена ревност изреков слово против други народи и против сета Идумеја, кои си ја определија земјата Моја за сопственост и си ја присвоија како плен со срдечна радост и со презир во душата,
6. затоа изречи пророштво за земјата Израилева и кажи им на планините и ридовите, на долиштата и на долините - вака вели Господ Бог: еве, Јас го реков тоа во ревноста Своја и во јароста Своја, оти вие носите на себе потсмев од народите.
7. Затоа, така вели Господ Бог: Јас ја кренав раката своја со клетва, дека народите што се околу вас, тие самите ке го понесат својот срам.
8. А вие, планини Израилеви, проширете се и ке принесувате плодови на Мојот народ, Израилот, зашто тие скоро ке дојдат.
9. Оти, еве, кон вас се обрнувам, и вие ке бидете обработувани и засејувани.
10. И ке населам во вас многу лу е, сиот дом Израилев, и градовите ке бидат населени и урнанитите обновени.
11. Ке ги намножам кај вас и лу ето и добитокот, и тие ке се плодат и размножуваат, и ке ве населам како што беше во поранешните времиња, ке ви правам добро повеке отколку во поранешните времиња, та ке познаете, дека Јас сум Господ.
12. Ке доведам при вас лу е, народ Мој Израилот, и тие ке владеат со вас. Ти земјо ке бидеш нивно наследство и кај нив ке нема веке лу е бездетни.
13. Така вели Господ Бог - бидејки велат за вас: 'ти си земја што јадеш лу е и што правиш народот да е без деца',
14. затоа, веке нама да ги јадеш ју ето и во иднина нема да создаваш народ бездетен, вели Господ Бог.
15. И нема веке да слушаш потсмев од народите и нема веке да трпиш врз себе хули од племињата, и во иднина нема веке да ги правиш лу ето да се без деца,' вели Господ Бог.
16. И би слово Господово до мене:
17. 'Сине човечки, кога домот Израилев живееше во својата земја, тој ја осквернуваше со поведението свое и со делата свои; патот нивни им беше пред Моето лице како нечистотија на жена, кога се чисти.
18. Јас, го излеав врз нив гневот Свој за крвта, што ја пролеваа во таа земја, и заради тоа што ја осквернуваа со своите идоли.
19. Ги распрснав ме у народите и ти се расеани по земјите, ги судев според нивните патишта и според нивните гревови.
20. И отидоа тие при народите, каде што го обеславија Моето свето име, оти за нив велат: ‘Тие се народ на Господа и излегоа од Неговата земја.‘
21. Зажалив заради името Мое свето, што домот Израилев го обеслави кај народите, каде што отидоа.
22. Затоа, кажи му на домот Израилев: вака вели Господ Бог: доме Израилев, ке го направам тоа не заради вас, туку заради името Мое свето што го обеславивте при народите, каде што отидовте.

23. Ќе го осветам великото име Свое, обеславено кај народите, ме у кои го обеславивте, па ќе
познаат народите дека Јас сум Господ, вели Господ Бог, кога ќе ја покажам светоста Своја во
вас пред нив.
24. Ќе ве земам од кај народите, ќе ве соберам од сите страни и ќе ве доведам во вашата
земја.
25. Ќе ве поросам со чиста вода и вие ќе се очистите од сите ваши осквернувања, и од сите
ваши идоли ќе ве очистам.
26. Ќе ви дадам ново срце, и нов дух ќе ви дадам; ќе го земам од вашето тело каменото срце и
ќе ви дадам срце од месо.
27. Ќе го внесам во вас Мојот дух и ќе направам да одите по заповедите Мои и да ги пазите и
да ги исполнувате наредбите Мои.
28. И ќе живеете во земјата, која им ја дадов на татковците ваши, и ќе бидете Мој народ и Јас
ќе бидам ваш Бог.
29. Ќе ве ослободам од сите ваши нечистотии, ќе го повикам житото и ќе го умножам и нема
да ве оставам да трпите глад.
30. Ќе ги умножам плодовите по дрвјата и полските производи, па во иднина да не трпите
навреди од народите поради глад.
31. Тогаш ќе се сетите за своите лоши патишта и за своите лоши дела, па ќе почувствувате
одвратност од самите себе за гревовите свои и за лошите престапи.
32. Тоа ќе го направам, не заради вас, вели Господ Бог, туку да ви биде јасно - црвенејте и
срамувајте се од вашите патишта, доме Израилев.'
33. Така вели Господ Бог: 'Во оној ден, кога ќе ве очистам од сите ваши беззаконија, и ќе ве
населам во градовите и ќе бидат обновени урнаниниte;
34. и опустошената земја што беше пустиња во очите на секој минувач, ќе биде обработена,
35. тогаш ќе речат: ‘оваа запустена земја стана како Едемската градина и запустените и
разорени градови се зацврстија и населија.‘
36. Па ќе познаат народите, што ќе останат околу вас, дека Јас, Господ, одново изградувам
разрушено, засадувам запустено. Јас Господ, го реков тоа и го извршив.'
37. Така вели Господ Бог: 'Еве, уште и во ова ќе ја покажам милоста Своја кон домот Израилев,
ќе го намножам со лу е како стадо.
38. Како што има многу жртвени овци во Ерусалим за време на празниците, така ќе бидат
полни со лу е запустените градови и ќе познаат, дека Јас сум Господ.'

Глава 37

1. И би раката Господова врз мене и Господ ме изведе преку духот, ме постави среде полето - а тоа беше полно со коски,
2. и ме проведе околу нив, а таму имаше многу, многу коски во полето и тие беа наполно суви.
3. И ми рече: 'Сине човечки, ке оживеат ли овие коски?' И реков: 'Господи Боже, Ти го знаеш тоа.'
4. Па ми рече - изречи пророштво за тие коски и кажи им: 'Коски суви, чујте го словото Господово!'
5. Така им вели Господ Бог на оние коски - еве, Јас ке внесам во вас дух и вие ке оживеете.
6. Ке ви дадам жили, ке направам на вас да израсне месо, ке ве покријам со кожа и ке вдахнам во вас дух, па ке оживеете и ке познаете, дека Јас сум Господ. -
7. Јас го изреков ова пророштво како што ми беше заповедано, и кога пророкував, се чу шум, и, ете, движење, па почнаа коските да се зближуваат, секоја коска до својата коска.
8. И видов, ете, имаше жили на нив, и месо израсна, кожа ги покри одозгора, но дух немаше во нив.
9. Тогаш Он ми рече - изречи пророштво за духот, изречи пророштво сине човечки, и кажи му на духот, вака вели Господ Бог: дојди од четирите ветра, духу, и дувни врз овие убиени и тие ке оживеат.
10. И јас го изреков ова пророштво како што ми заповеда Он и влезе во нив дух - и тие оживееја и се исправија на нозете свои - многу, многуброен народ.
11. Тогаш Он ми рече - сине човечки, овие коски се сиот дом Израилев. Ете, тие велат: 'Се исушија нашите коски, и загина нашата надеж - ние сме истргнати од коренот.'
12. Затоа изречи пророштво и кажи им - вака вели Господ Бог: 'Еве, Јас ке ги отворам гробовите ваши и ке ве изведам, народе Мој, од гробовите ваши и ке ве воведам во земјата Израилева.
13. И ке познаете, дека Јас сум Господ, кога ке ги отворам гробовите ваши и ке ве изведам, народе Мој, од гробовите ваши.
14. Ке вдахнам во вас од Мојот дух и ке оживеете, ке ве населам во вашата земја, па ке познаете дека Јас, Господ, го реков тоа, и го извршив, вели Господ.'
15. И би слово Господово до мене:
16. 'Ти, сине човечки, земи жезал и напиши на него: ‘на Јуда и на синовите Израилеви, неговите сојузници‘, и пак земи друг жезал и напиши на него: ‘на Јосифа‘. Тоа е жезалот на Ефрема и на сиот Израилев дом, негов сојузник.
17. И соедини ги во себе еден со друг во еден жезал, така што во раката да бидат едно.
18. А кога те прашаат синовите на твојот народ: ‘нема ли да ни објасниш, што значи тоа?‘
19. тогаш речи им - така вели Господ Бог: 'Еве, Јас ке го земам Јосифовиот жезал, кој е во раката на Ефрема и на неговите сојузници, Израилевите колена, и ке ги додадам кон него, кон жезалот на Јуда, и ке го направам еден жезал, и тие ке бидат едно во Мојата рака.'
20. Кога, пак, двата жезла, на кои ке напишеш, ке бидат во твојата рака пред очите нивни,
21. тогаш кажи им - вака вели Господ Бог: 'Еве, Јас ке ги земам синовите Израилеви ме у народите, поме у оние, кај кои се нао аат, ке ги соберам сите и ке ги доведам во нивната земја.
22. Во таа земја по планините Израилеви Јас ке ги направам еден народ и еден цар ке биде цар над сите нив и нема да има повеке два народа, и нема повеке да се делат на две царства.
23. И нема веке да се осквернуваат со своите идоли, со своите гадотии и со разни свои пороци; ке ги извлечам од сите нивни живеалишта, каде што грешеле, и ке ги очистам, - и ке бидат Мој народ и Јас ке бидам нивни Бог.
24. А слугата Мој Давид ке биде Цар над нив и Пастир на сите нив; тие ке одат по Моите заповеди и уредбите Мои ке ги пазат, и ке ги исполнуваат.
25. Тие ке живеат во земјата, која му ја дадов на мојот слуга Јакова, во која живееја татковците нивни; таму ке живеат вечно, тие и децата нивни и внуците нивни; а Мојот слуга Давид ке

биде кнез при нив засекогаш.
26. Ќе склучам со нив завет за мир, вечен ќе биде заветот со нив. И ќе ги средам, ќе ги
размножам и ќе го поставам ме у нив Моето светилиште засекогаш.
27. И при нив ќе биде Моето живеалиште, па ќе бидат нивни Бог, а тие ќе бидат Мој народ.
28. И ќе познаат народите, дека Јас сум Господ, Кој го осветува Израилот кога Моето
светилиште ќе биде поме у нив засекогаш.'

Глава 38

1. И би слово Господово до мене:
2. 'Сине човечки, сврти го лицето свое кон Гога во земјата Магог, кон кнезот на Рош, Месех и
Тувал, изречи пророштво против него.
3. И кажи им - вака вели Господ Бог: 'Еве, Јас сум против тебе, Гог, кнезу на Рош, Месех и
Тувал.
4. Ќе те вратам и ќе ставам алка на твојата челуст; ќе те изведам тебе и сета твоја војска,
коњите и коњаниците, сите храбри јунаци, многубројни борци, во оклопи и со штитови, сите
вооружени со мечеви.
5. Персијанците, Етиопите и Либијците со нив, сите со штитови и со шлемови.
6. Гомера со сите чети, домот на Тогарма од северните предели, со сите твои чети, многу
народи со тебе.
7. Готви се и приготви се - ти и сите твои чети собрани при тебе и биди им водач.
8. По многу дни ти ќе бидеш посетен; во последните години ќе дојдеш во земја избавена од
меч, собрана ме у многу народи на Израилевите планини, кои беа долго време запустени, но
сега жителите нејзини ќе бидат повратени од кај народите, и сите тие ќе живеат спокојно.
9. Па ќе се кренеш како бура, ќе тргнеш како црн облак за да ја покриеш земјата, ти и сите
твои чети и многу народи со тебе.'
10. Така вели Господ Бог: 'Во оној ден ќе ти дојдат на срцето мисли и ти ќе помислиш да
направиш нешто лошо.
11. И ќе речеш: ‘ќе се кренам против неоградена земја, ќе појдам против мирните кои живеат
безгрижно - сите тие живеат без ѕидови и при нив нема ни резиња, ни порти,
12. за да грабаш и да насобереш плен, да ставиш рака врз одново населените урнатини и врз
народ собран од кај народите, што се занимаваа со стопанство и трговија, кој живее во
папокот на земјата.‘
13. Сава и Дедан и тарсиските трговци со сите нивни млади лавови ќе ти речат: ‘Ти дојде да
извршиш грабеж, ја собра твојата војска за да земеш плен, да земеш сребро и злато, да
одземеш добиток и имот, да заграбиш голем плен.‘'
14. Затоа изречи пророштво, сине човечки, и кажи му на Гог - вака вели Господ Бог: 'Па зар не
ти е познато дека во оној ден народот Мој Израилот ќе заживее во мир?
15. И ќе тргнеш од твоето место, од северните предели, ти и многу народи со тебе сите на
коњи, голем собир и многубројна војска.
16. И ќе се кренеш против Мојот народ, против Израилот, како црн облак, за да ја покриеш
земјата: тоа ќе биде во последните дни, и Јас ќе те доведам во Мојата земја, та народите да
Ме познаат кога ќе се појавам над тебе, Гог, Мојата светост пред очите нивни.'
17. Така вели Господ Бог: 'Не си ли ти оној, за кого зборував во дамнешните дни преку Моите
слуги, пророците Израилеви, кои пророкуваа тогаш дека Јас ќе те доведам против нив?
18. Во оној ден, кога ќе дојде Гог против Израилевата земја, вели Господ Бог, Мојот гнев ќе
пламне во Мојата јарост.
19. И во Мојата ревност, во огнот на Моето негодување, Јас реков: навистина во оној ден ќе
настане голем потрес во земјата Израилева.
20. И од лицето Мое ќе затреперат рибите морски и птиците небески, и ѕверовите полски и се
што се влече и лази по земјата, и сите лу е, што се нао аат на земјата; ќе се соборат планини,
ќе попа аат карпи и сите ѕидови ќе паднат на земја.
21. И по сите Мои планини ќе повикам меч против него, вели Господ Бог; мечот на секој човек
ќе биде против братот негов.
22. И ќе му судам преку помор и крвопроливање ќе излијам врз него и војските негови и врз
многуте народи, што се со него, силен дожд и град како камења, оган и сулфур.
23. Ќе го покажам Моето величие и Мојата светост и ќе се појавам пред очите на многу народи
- и тие ќе познаат, дека Јас сум Господ.'

Глава 39

1. Ти, сине човечки, изречи пророштво против Гога и кажи - вака вели Господ Бог: 'Еве, Јас сум
против тебе, Гог, кнезу на Рош, Месех и Тувал.
2. Ќе те вратам и ќе те поведам, ќе те изведам од северните предели и ќе те доведам на
планините Израилеви.
3. Ќе го исфрлам лакот од твојата лева рака и ќе ти ги исфрлам стрелите од твојата десна
рака.
4. Ќе паднеш на Израилевите планини, ти и твоите полкови и народите што ќе бидат со тебе;
ќе дозволам да те изедат секакви грабливи птици и ѕверови полски.
5. Ќе паднеш на откриено поле, оти Јас го реков тоа, вели Господ Бог.
6. И ќе испратам оган врз земјата Магог и врз жителите на островите, кои живеат безгрижно,
па ќе познаат дека Јас сум Господ.
7. Ќе го покажам Своето свето име ме у Мојот народ, Израилот, и нема веќе да дозволам во
иднина да се обесславува името Мое, свето, па ќе познаат народите дека Јас сум Господ,
Светецот Израилев.
8. Ете, тоа ќе дојде и ќе се збиден, вели Господ Бог, тоа е денот, за кој ви зборував.
9. Тогаш жителите на градовите Израилеви ќе излезат, ќе запалат оган и ќе го изгорат
оружјето, штитовите и железните ризници, лаковите и стрелите, боздоганите и копјата: седум
години ќе ги горат.
10. И нема да носат дрва од полето, ниту пак ќе сечат од горите, туку ќе го горат само
оружјето; ќе ги ограбат своите грабители и ќе ги оберат своите обирачи, вели Господ Бог.
11. Во тој ден ќе му дадам на Гога место за гробница при Израилот во долината на патниците,
источно од морето, и таа таму ќе ги задржува патниците: таму ќе го погребуваат Гога и сета
негова војска, а ќе ја наречат долината на Гоговиот народ.
12. Домот Израилев ќе ги погребува седум месеци, за да ја очисти земјата.
13. И сиот народ од земјата ќе ги погребува, и за нив тој ден ќе биде знаменит, во кој Себе ќе
се прославам, вели Господ Бог.
14. И ќе определат лу е, кои постојано ќе го обиколуваат пределот и со помош на патниците да
се погребуваат другите по лицето земјино, - за да ја очистат; по седум месеци тие ќе почнат
да бараат.
15. И кога некој од оние, што ќе минуваат по земјата, ќе види човечка коска, ќе стави до неа
знак, додека погребувачите не ја закопаат во долината на Гоговата војска.
16. Името на градот ќе му биде пак - Хамона (народ). Така ќе го очистат тие пределот.'
17. А ти, пак, сине човечки, - така вели Господ - кажи им на сите видови птици и на сите
ѕверови полски: соберете се и дојдете, побрзајте од сите краишта кон Мојава жртва, што Јас ќе
ја заколам за вас, кон големата жртва на планините Израилева, и ќе јадете месо и ќе пиете
крв;
18. месо од силни мажи ќе јадете и ќе пиете крв од кнезови земни, од овни, од јагниња, од
козли и од телиња - сите тие се згоени во Васан,
19. ќе јадете мрс до наситување и ќе пиете крв до опивање од Мојата жртва, што Јас ќе ја
заколам за вас.
20. И на Мојата трпеза ќе се наситите на коњи и коњаници, на мажи силни, на секаков вид
воени лица, вели Господ Бог.
21. Ќе ја покажам славата Своја, ме у народите и сите народи ќе го видат Мојот суд, што Јас ќе
го одржам, и Мојата рака, што Јас ќе ја кренам врз нив.
22. И ќе узнае домот Израилев дека Јас сум Господ Бог нивни од денес и натаму.
23. Ќе познаат народите дека домот Израилев беше преселен поради својата неправда; оти
тие постапија вероломно пред Мене, Јас го сокрив од нив лицето Мое и ги предадов во рацете
на непријателите нивни, и тие сите паднаа од меч.
24. Поради нечистотиите нивни и поради гревовите нивни Јас го направив тоа со нив и го

сокрив од нив лицето Мое.
25. Затоа вака вели Господ Бог: сега ке ги вратам плениците на Јакова, ке се смилувам над сиот дом Израилев и ке бидам ревнив на името Мое свето.
26. Па ке го почувствуваат тие своето бесчестие и сите свои беззаконија, што ги вршеа пред Мене, додека уште живееја во земајта своја во мир, ке заживеат спокојно, и немаше никој да ги заплашува.
27. кога ке ги вратам од кај народите и ги соберам од земјите на нивните непријатели и ја покажам во нив светоста Моја пред очите на многу народи.
28. И ке познаат дека Јас сум нивниот Господ Бог, Кој откако ги растурив ме у народите, одново ке ги соберам во нивната земја и нема да оставам таму ниту еден од нив.
29. И веке нема да го сокривам лицето Свое од нив, затоа што ке излеам Јас од Мојот дух на домот Израилев, вели Господ Бог.

Глава 40

1. Во дваесет и петтата година по нашето преселување, во почетокот на годината во десеттиот ден од месецот, во четиринаесеттата година по разурнувањеот на градот, во овој ист ден беше раката Господова врз Мене и Он ме поведе таму.
2. Во виденијата Божји ме заведе Он во земјата Израилева и ме постави на многу висока планина, и на неа од кај југ се гледаше нешто како изграден град.
3. Ме поведе таму, и, ете, маж еден, кој изгледаше како светол бакар, а во неговата рака ленена врвка и трска за мерење, и тој стоеше пред портите.
4. И ми рече тој маж: 'Сине човечки, гледај со очите и слушај со ушите и сето ова земи го при срце, ова што ке ти го покажам, бидејки ти поради тоа и си доведен овде, за да ти го покажам тоа; за се што ке видиш, извести го домот Израилев.'
5. И ете, имаше ѕид околу храмот, а во раката на тој човек трска за мерење од шест лакти, а лакот беше по лакот и дланка, и го измери тој храмот, една трска широчина и една трска височина.
6. Потоа отиде кај портите, кои беа поставени спрема исток, се искачи по стапалата нивни и измери дека едниот праг од портата беше една трска широчина, а другиот праг пак една трска височина.
7. И секоја околна соба беше по една трска долга и по една трска широка, а ме у собите имаше пет лакти и прагот на портите во тремот зад портите беше пак една трска.
8. Го измери тој тремот зад портите - пак една трска.
9. А тремот пред портите - осум лакти, и столбовите два лакта. Тој трем пред портите беше отстрана на храмот.
10. Собите од источната страна кај вратите беа три од едната страна и три од другата страна; една мерка имаа сите три и една мерка имаа столбовите од едната и од другата страна.
11. Ги измери тој отворите на вратите - тие беа по десет лакти широки, а должината нивна - тринаесет лакти.
12. Пред собите имаше од едната и од другата страна ограда од по еден лакот. Тие соби од едната страна имаа шест лакти и од другата страна - шест лакти.
13. Потоа ги измери тој вратите од стреата на едната соба до стреата на другата соба - дваесет и пет лакти широчина: врата спроти врата.
14. А и столбовите ги измери тој: шеесет лакти, секој столб околу дворот и при вратите.
15. И од предната страна на влезот во вратите до предната страна на внатрешната врата - педесет лакти.
16. Решетчести прозорци имаше и во околните соби и при столбовите нивни однатре кај вратите наоколу; исто така и во тремовите наоколу имаше прозорци од внатрешната страна, а на столбовите - палми.
17. И ме одведе тој во надворешниот двор, и, ете, таму - соби, имаше направен под од плочи околу дворот. Триесет соби имаше на тој плочник.
18. И тој плочник беше од кај страните на вратите, според должината на вратите, маку понизок.
19. И го измери тој по ширината од долните врати до надворешниот крај на внатрешноста во дворот: сто лакти - кон исток и кон север.
20. Ја измери исто така должината и ширината на вратите од надворешниот двор, свртени спрема север;
21. и при нив околните соби, три од едната страна и три од другата; и столбовите нивни и продолженијата нивни имаа иста мерка како и првите врати - долги по педесет лакти, а широки по дваесет и пет лакти.
22. И прозорците нивни и продолженијата нивни и палмите нивни имаа иста мерка, како и вратите, свртени спрема исток; а се влегуваше во нив по седум степеника и пред нив имаше уште и продолженија.

23. И во внатершниот двор, вратата спроти северните и источните врати; и ја измери тој должината од врата до врата - сто лакти.
24. И ме поведе кон југ, а таму имаше јужна врата; и ги измери тој столбовите и продолженијата - имаа истоа мерка.
25. И прозорците во нив и во тремот им беа исто такви како оние прозорци: долги педесет лакти, а широки дваесет и пет лакти.
26. Влезот до нив - седум степеника, и тремови имаше пред нив; и украси од палма на столбовите - еден од едната страна и друг од другата страна.
27. И во внатрешниот двор имаше јужна врата; ја измери тој должината од врата до врата јужно - сто лакти;
28. и ме поведе тој преку јужната врата во внатрешниот двор; ја измери јужната врата - иста мерка.
29. И собите околни и столбовите нивни и тремовите нивни - иста мерка, а имаше и прозорци во нив и во тремовите нивни наоколу; се во долждина педесет лакти, а широчина - дваесет и пет лакти.
30. Тремови имаше наоколу, со должина од дваесет и пет лакти и ширина од пет лакти.
31. Тремовите беа од кај надворешниот двор, а палми имаше на столбовите нивни при искачувањето кон нив - остум стапки.
32. Ме поведе тој преку источната врата во внатрешниот двор и мерката на таа врата беше со иста мерка,
33. И собите отстрана, столбовите нивни и тремовите нивни имаа иста мерка; а и прозорци имаше кај нив и во тремовите нивни наоколу; должина - педесет лакти, а ширина дваесет и пет лакти.
34. Тремовите нивни беа од кај надворешниот двор, а на столбовите нивни имаше палми од едната и од другата страна; искачувањето кон нив - осум степеника.
35. Потоа ме одведе пред северната врата, ја измери и таа имаше иста мерка.
36. Нејзините соби од страна, столбовите нејзини, тремовите нејзини и прозорците во нив, беа наоколу; сето тоа имаше должина педесет лакти и ширина - дваесет и пет лакти.
37. Тремовите беа од кај надворешниот двор, а на столбовите нивни имаше палми - една од едната страна и друга од другата страна; искачувањето кон нив - осум степеника.
38. Имаше исто така соба со влез во неа при столбовите на вратата, таму се миеја жртвите за сепаленици.
39. А во тремот пред вратите беа поставени две маси од едната страна и две од другата страна, за да се колат на нив жртвите за сепаленици и жртвите за грев и жртвите за престап.
40. И однадвор, од кај вратата при влезот во отворот на северната врата имаше две маси, и од другата страна до тремот покрај вратата имаше две маси.
41. Четири маси од едната страна и четири маси од другата страна, од кај страната на вратите; вкупно осум маси, на кои се колат жртвите.
42. А имаше и четири маси за приготвување на сепалениците - од делкан камен, долги по еден ипол лакот и широки по еден ипол лакот, а високи еден лакот; врз нив се оставаат ножеви за колење на жртвите за сепаленици и на други жртви.
43. И куки големи колку една дланка имаше закачени на ѕидовите од зградата наоколу, а на масите го ставаа жртвеното месо.
44. Однадвор, кај внатрешната врата, имаше соби за певците; во внатрешниот двор од кај северната врата, една свртена со лицето кон југ, а другата странична јужна врата, свртена со лицето кон север.
45. И ми рече тој: оваа соба, што е свртена со лицето кон југ, е за свештениците што ке бдеат на стража во храмот.
46. А собата што е свртена со лицето кон север - за свешниците, што ке бдеат на стража кај жртвеникот: тоа се синовите на Садока, кои едини од синовите Левиеви можат да се приближуваат до Господа за да Му служат.

47. Го измери тој дворот: сто лакти долг и сто лакти широк, четириаголен, а пред храмот беше жртвеникот.
48. И ме поведе во тремот на храмот, па ги измери столбовите на тремот: по пет лакти од едната страна и пет лакти од другата страна; вратите, пак, беа по три лакти широки, од едната страна и по три лакти од другата.
49. Тремот беше долг дваесет лакти и широк единаесет, и искачувањето кон него десет степеника; имаше и потпори кај столбовите: една од едната страна и друга од другата страна.

Глава 41

1. Потоа ме воведе во храмот и ги измери столбовите: по шест лакти широки од едната страна и по шест лакти широки од другата страна, колку што беше широка скинијата.
2. Вратите беа широки по десет лакти, а страните на вратите по пет лакти од едната и по пет лакти од другата страна, а должината на храмот четириесет лакти, додека широчината му беше дванаесет лакти.
3. И влезе внатре, па ти измери столбовите покрај вратите - по два лакта, и вратите - по шест лакти, додека широчината на вратата е седум лакти.
4. Го измери храмот - дванаесет лакти надолж и днаесет лакти широк, па ми рече - тоа е Свјатаја Свјатих.
5. Го измери ѕидот на храмот - шест лакти, а широчината на собите околу храмот - по четири лакти.
6. Странични соби имаше триесет и три, соба под соба: тие се нао аа во ѕидот, што беше околу храмот што беше врска со него но не се допираа до ѕидовите на самиот храм.
7. И храмот се повеке се шireше наоколу над станичните соби, зашто кругот негов се издигаше се погоре и погоре наоколу, па затоа храмот беше многу поширок горе, оти искачувањето од долниот кат се до горниот минуваше преку средниот.
8. И го видов врвот на храмот наоколу; неговите странични соби во својата овнова имаа мерка - една трска; шест полни лакти.
9. Ширината на ѕидот од станичните соби, што се издаваа надвор - пет лакти, а по страничните соби на храмот постоеше слободен простор.
10. И ме у собите имаше растојание - по дваесет лакти околу целиот храм.
11. Вратите на страничните соби водеа во слободниот простор, една врата кон северната страна, а другата врата кон јужната страна; широчината на тој слободен простор беше пет лакти наоколу.
12. Зградата пред плоштадот од западната страна беше широка седумдесет лакти; ѕидот на таа зграда пет лакти широк наоколу, а долг беше деветнаесет лакти.
13. Го измери тој храмот - сто лакти должина, а плоштадот и одделенијата и страните нивни, исто така со должина од сто лакти.
14. И ширината на храмот од кај предната страна на плоштадот спрема исток - пак сто лакти.
15. Потоа ја измери должината на зградата пред плоштадот од задната страна со страничните одделенија од едната и од другата страна - по сто лакти, од внатрешноста на храмот и тремовите на дворот.
16. Праговите, прозорците решетчести и страничните соби наоколу, на сите три ката спроти праговите беа обложени со дрво од подот до прозорците; прозорците беа затворени.
17. Од горниот дел на вратата како одвнатре на храмот така и однадвор и по целиот ѕид наоколу, одвнатре и однадвор имаше фигури резбарени;
18. беа направени херувими и палми: палма ме у двата хреувима и при секој херувим - по две лица.
19. Од едната страна кон палмата имаше свртено човечки лице, а од другата страна кон палмата - лице лавовско: така беше направено по целиот храм наоколу.
20. Од подот до врвот на вратата имаше направено херувими и палми, а исто и по ѕидовите на храмот.
21. Во храмот имаше четириаголни довратници, а и на светилиштето исто така довратници слични какви што сум видел.
22. Жртвеникот беше дрвен - три лакти висок и два лакти долг; и аглите негови и подножјата негови и страните негови беа од дрво; па ми рече тој - тоа е трпезата што е пред Господа.
23. Во храмот и во светилиштето имаше по две врати.
24. Вратите имаа по две крила; и двете крила беа подвижни - по две крила кај едната врата и по две крила кај другата врата;

25. на тие врати беа направени херувими и палми, исто така изработени какви што беа по ѕидовите; а пред тремот однадвор имаше дрвен под.
26. А решетчести прозорци и палми имаше од едната страна и од другата страна по страните на тремот и на околните храмови соби, а и по гредите.

Глава 42

1. И ме изведе од надоврешниот двор по северниот пат и ме доведе при собите, што беа спрема рамнината и спрема зградата од север,
2. до она место, кое кај северната врата е долго сто лакти, а широко педесет лакти.
3. Спрема дваесетте лакти на внатрешниот двор и спроти плочникот, што е од кон надворешниот двор, трем спроти трем во три ката.
4. А пред собите имаше ходник - десет лакти широк, а внатре по еден лакот; вратите негови беа свртени спрема север.
5. Горните соби беа потесни, зашто тремовите одземаа од нив спротивно на долните соби од зградата, кои беа пошироки.
6. Собите беа на три ката, а немаше такви столбови какви што имаше во дворовите, затоа тие и се направени потесни, спротивно на долните и средните соби, почнувајќи од подот.
7. А надворешниот ѕид спрема тие соби од надворешниот двор, кој ја поврзува предната страна на собите, е долг педесет лакти;
8. оти и собите на надворешниот двор имаат должина само педесет лакти, и така пред храмот - сто лакти.
9. А долу имаше ходник кон тие соби од источната страна, кога се доа а кај нив од надворешниот двор.
10. По ширината на ѕидот до дворот спрема исток пред плоштадот и пред зградата имаше соби.
11. А ходникот пред нив беше исто таков како и пред оние соби, што се свртени спрема север, со иста таква должина како и при нив, и исто таква ширина; и сите излези нивни и изработката нивна и вратите нивни беа исто такви како и при другите.
12. Имаше исти врати какви што беа и при собите од јужната страна; и за влез во нив имаше врати при патеката, која водеше надолж по источниот ѕид.
13. И ми рече тој: северните соби и јужните соби, што се нао аат пред плоштадот, се свети соби, во кои свештениците, што му се приближуваат на Господа, ги јадат најсветите жртви; само таму ги ставаат најсветите жртви и лебниот принос, жртвите за грев и жртвите за престап, оти тоа е свето место.
14. Кога влегуваат таму свештениците, тие не треба да излезат од тоа свето мессто во надворешниот двор, се додека таму не ги остават своите одежди, со кои служеле, зашто тие се свештени одежди; треба да облечат други одежди, и тогаш да излезат пред народот.
15. кога го заврши тој мерењето на внатрешниот храм, ме изведи пред вратите, свртени кон исток, и почна да мери наоколу.
16. Ја измери источната страна со мерната трска, измери со неа - петстотини трски;
17. На северната страна со истата мерна трска измери вкупно петстотини трски.
18. На јужната страна со мерната трска измери исто така петстотини трски.
19. И кога се заврти спрема западната страна со мерната трска, измери исто така петстотини трски.
20. Од сите четири страни тој го измери; околу него имаше ѕид долг петстотини трски и петстотини трски широк, за да го одделува светото место од несветото.

Глава 43

1. И ме доведе пред вратата, пред онаа врата што е спрема исток.
2. А таму, ете, славата на Израилевиот Бог доа аше од исток и гласот Негов беше како шум од многу води и земјата светна од славата Негова.
3. Тоа видение беше исто, какво што видов порано, исто такво како што видов, кога одев да ја соопштам погибелта на градот; тие виденија беа слични на виденијата што ги водов при реката Ховар, и јас паднав ничкум.
4. А славата Господова влезе во храмот низ вратата, свртена спрема исток.
5. Тогаш ме подигна духот и ме воведе во внатрешниот двор, а таму славата Господова беше го исполнила целиот храм.
6. И јас чув некој што ми зборуваше од храмот, а оној човек стоеше до мене,
7. и ми рече: 'Сине човечки: ова е местото на Мојот престол и местото на стапките од Моите нозе, каде што ке живеам вечно ме у Израилевите синови; и домот Израилев нема повеке да го осквернува Моето свето име, ниту тие, ниту пак царевите нивни, со блуд и со труповите на своите цареви по нивните идолски светилишта.
8. Тие го ставаа прагот свој до Мојот праг и довратниците на вратите свои до довратниците Мои, така што еден ѕид имаме ме у Мене и нив, и го осквернуваа Моето свето име со гадотиите свои, што ги вршеа, па затоа и ги сотрев во гневот Свој.
9. А сега, откако тие ке го оддалечат од Мене својот блуд и труповите на своите цареви, Јас ке живеам вечно ме у нив.
10. Ти, пак, сине човечки, кажи му на домот Израилев за овој храм, нека се засрамат од своите гревови и да му ги измерат мерките.
11. И ако се засрамат од сето она, што го вршеле, покажи им го видот на храмот и местото негово, излезите негови и влезовите негови, сите негови украси и сите закони и напиши ги пред очите нивни, па да ги запомнат сите ликови негови и сите уредби негови и да постапуваат според нив.
12. Ете, тоа е законот на храмот: пространството негово на врвот од планината наоколу е Свјатаја Свајтих; тоа е законот на храмот.
13. И, еве, ги размерите не жртвеникот, ако се смета за лактот - лакот и дланка: основата лакот, ширината, пак лакот, а појасот по сите краишта негови една педа; тоа е задната страна на жртвеникот.
14. Од основата, која поа а од земјата до долниот појас два лакта, а широк е тој еден лакот; од малиот појас до големиот - четири лакти, а широк еден лакот.
15. Жртвеникот е висок четири лакти; а од жртвеникот се издигаат угоре четири рога.
16. Жртвеникот е долг дванаесет лакти и широт дванаесет лакти; четириаголен е од сите страни.
17. А подножјето негово е четиринаесет лакти долго и четиринаесет лакти широко од сите четири страни, а околу појасот негов половина лакот, додека основата негова - по лакот наоколу, степениците до него се од исток.'
18. И ми рече тој - сине човечки, така вели Господ Бог: 'Еве ги наредбите за жртвеникот, во оној ден кога ке биде направен, за да се принесуваат врз него сепаленици и да се поросува врз него со крв.
19. На свештениците од колената Левиево, од племето на Садока, кои се приближуваат до Мене за да Ми служат, вели Господ Бог, дај им по едно јуне од говедата за жртва за грев.
20. Па земи ја крвта од него и попрскај ги четирите негови рога и четирите агли на подножјето и појасот околу, и така ке го очистиш и осветиш.
21. Земи јунец како жртва за грев и изгори го на определеното место во Домот надвор од Светилиштето.
22. А на другиот ден принеси жртва за грев од стадото кози, козел без недостаток, и нека го исчистат жртвеникот така, како што го очистуваат со јунецот.

23. Кога, пак, ке го извршиш очистувањето, доведи од говедата и - јунец без недостаток, и од овчото стадо - овен без недостаток.
24. И принеси ги пред лицето на Господа; свешениците, пак, нека фрлат врз нив сол и нека ги вознесат како спепаленица за Господа.
25. Седум дена принесувај жртва за грев по еден козел дневно. Исто така да принесуваат жртва по јунец од стадото волови и по еден од стадото овци, без недостаток.
26. Седум дена тие треба да го очистуваат жртвениикот и да го осветуваат, и да го полнат со рацете свои.
27. Откако ке се свршат тие дни, во осмиот ден, а и понатаму свешнитениците ке ги принесуваат врз жртвеникот вашите сепаленици и благодарствени жртви; и Јас ке бидам милостив кон вас, вели Господ Бог.'

Глава 44

1. Потоа ме поведе назад, кај надворешната врата на светилиштето, свртена кон исток, а таа беше затворена.
2. И ми рече Господ: оваа врата ќе биде затворена, не смее да се отвора и ниеден човек нема да влезе низ неа, оти Господ Бог Израилев влегува низ неа и таа ќе биде затворена.
3. Таа е за кнезот, само кнезот, затоа што е кнез ќе седне до неа за да јаде леб пред Господа: ќе влезе преку тремот на таа врата и преку неа ќе излезе.
4. Потоа ме одведе низ северната врата пред лицето на храмот и видов, а тоа славата Господова го исполнуваше домот Господов, и паднав ничкум.
5. И ми рече Господ: сине човечки, земи го при срце сево ова, гледај со очите свои и слушај го со ушите свои сето она, што ќе ти го кажам за сите наредби во домот Господен и за сите негови закони: пази добро за влезот на храмот и за сите излези од светилиштето.
6. И кажи му на отстапничкиот дом Израилев - вака вели Господ Бог: 'Доме Израилев, престанете да ги вршите сите ваши гадотии,
7. да ги воведувате синовите на ту инка, необрезани по срце и необрезани по плот, за да бидат во Моето светилиште и да го осквернуваат Мојот храм, да го поднесувате Мојот леб, мрс и крвта и да го растурате Мојот завет со вашите секакви гадотии.
8. Вие не стоевте на стража пред моите светињи, а ги поставувавте нив како стражари место себе при Моето светилиште.
9. Така вели Господ Бог: ниеден син на ту инка, необрезан по срце и необрезан по плот, не смее да влегува во Моето светилиште, дури и оној син на ту инка, која живее ме у синовите Израилеви.
10. Исто така и левитите, кои се оддалечија од Мене во времето на Израилевото отстапништво, откако Ме оставија, блудствуваа со идолите свои, исто така тие ќе претрпат казна за гревовите свои.
11. Тие ќе служат во светилиштето Мое како стража пред вратата на храмот и како прислужници на храмот; тие ќе колат за лу ето сепаленици и други жртви ќе стојат пред нив, за да им служат.
12. А заради она што им служеа пред нивните идоли и за домот на Израилот беа соблазан за нечестие, Јас ја кренав раката Своја врз нив, вели Господ Бог, и тие ќе претрпат казна за гревот свој;
13. тие нема да се приближуваат до Мене за да свештенодејствуваат пред Мене и да пристапуваат до сите Мои светињи, до Свјатаја Свјатих, но ќе го носат врз себе срамот свој и гадотиите свои, што ги вршеле.
14. Ќе ги направам чувари на храмот за сите негови служби и за се, што ќе се одвива во него.
15. А свештениците од коленото Левиево, синовите на Садока, кои постојано пазеа на Моето светилиште, кога синовите Израилеви остапија од Мене, ќе се приближуваат до Мене за да ми служат и ќе се задржуваат пред лицето Мое, за да ми принесуваат мрс и крв, вели Господ Бог.
16. Тие ќе влегуваат во Моето светилиште и ќе се приближуваат до Мојата трпеза, за да ми служат и да бидат стража Моја.
17. Кога ќе дојдат до вратата на внатрешниот двор, тогаш ќе се облечат во ленени облеки, а волнени не смее да има во нив за сето време на службата, до вратите на внатрешниот двор и внатрешноста на храмот.
18. Превезите на главите нивни треба да бидат исто така ленени; а и долната облека на бедрата нивни исто така ленена; тие не смеат да се опашуваат со ништо, од што би се потеле.
19. А кога ќе треба да излезат во надворешниот двор, во надворешниот двор пред народот, тогаш ќе треба да ги соблечат одеждите свои, со кои служеле, и да ги оставаат во свештените соби и да облечат други облеки, а со свештените одежди да не се допираат до народот.
20. И главата своја на смеат да ја бричат ниту косата да ја пуштаат, туку да ја стрижат главата своја.

21. И вино не бива да бие ниеден свештеник, кога ке влегува во внатрешниот двор.
22. Ниту вдовица, ни пак разведена жена од маж не смее тој да зема за жена, туку само девојка од племето на домот Израилев, и вдовица од свештеник.
23. Тие треба да го учат Мојот народ да разликува свештено од несвештено и да им објаснуваат што е нечисто, а што е чисто.
24. Во расправиите при судовите треба да присуствуваат и според Моите наредби да судат и да пазат на Моите закони и на наредбите Мои за сите Мои празници и свето да пазат на Моите саботи.
25. До мртов човек никој да не се доближува, за да не стане нечист, само заради татко и мајка, заради син и керка, брат и сестра што не се жененеле можат да се осквернат.
26. На таков, откако ке се очисти, треба да се избројат уште седум дена.
27. И во оној ден, кога ке треба да пристапи до светињата во внатрешниот двор, за да служи пред светињата, тој треба да принесе жртва за грев, вели Господ Бог.
28. А што се однесува до делот нивни, Јас сум нивниот дел. И сопственост во Израилот не давајте им: Јас сум нивната сопственост.
29. Тие ке јадат од лебниот принос, од жртвата за грев и од жртвата за престап: и се што е ветено во Израилот, ним им припа а.
30. И првините од сите ваши плодови и од секој ваш род како принос, какви и да биле вашите приноси, им припа аат на свештениците; и првините од меленото давајте му го на свешненикот за да има благослов во вашите домови.
31. Свештениците не смеат да јадат никаква мрша и ништо раскинато од ѕвер, па било тоа птица или добиток.

Глава 45

1. Кога со жреб ке ја делите земјата на делови, одделете свет дел за Господа - дваесет и пет иљади лакти во должина и десет иљади лакти во ширина; тоа место да биде свето како целина наоколу.
2. Од него до светилиштето да има четириаголник, по петстотини лакти наоколу и околу него, со плоштадка од педесет лакти.
3. Според таа мерка измери дваесет и пет иљади трски надолж и десет иљади трски по ширината, каде што ке се нао а светилиштето, Свјатаја Свјатих.
4. Тој дел од светата земја ке им припа а на свештениците, служители на светилиштето, кои ке пристапуваат да Му служат на Господа; тоа место ке биде место за куки и светиња за светилиштето.
5. Дваесет и пет иљади трски по должина и десет иљади трски по ширина, ке им припа а на левитите, служители на храмот, како нивно владение, каде што ке живеат.
6. Дајте му и на граодт владение од пет иљади трски нашир и дваесет и пет иљади трски по должина, спроти светото место, определено за Господа; тоа ке му припа а на сиот дом Израилев.
7. И за кнезот определете дел од едната и од другата страна, до светото место, определено за Господа, како и до владението на градот, кон запад од западната страна и кон исток од источната страна, во должина еднаква со еден од оние делови од западниот до источниот крај.
8. Тоа ке биде негова земја, негово владение во Израилот, така што во иднина кнезовите Мои да не го притеснуваат народот Мој, и земјата да ја раздаваат на домот Израилев според колената негови.
9. Така вели Господ Бог: кнезови Израилеви, доста беше ова, оставете ги насилијата и принудувањата, а вршете суд и правда; престанете да го изгонувате народот Мој од владенијата негови, вели Господ Бог.
10. Имајте иста мерка, вистинска ефа и прав бат.
11. Ефата и батот треба да бидат еднакви, така што батот да содржи една десетина хомер, а и ефата една десетина хомер; мерката нивна треба да се определува според хомерот.
12. Во една силка треба да се содржат дваесет гери; а дваесет силки, дваесет и пет сикли и петнаесет сикли треба да ви претставуваат една мина.
13. Ете, тоа е данокот што ке му го давате на кнезот; шести дел од ефа хомер пченица и шести дел од ефа хомер јачмен;
14. а мерката за елејот е: една десетина елеј бат од кор, кој е хомер, што изнесува десет бата;
15. по една овца на стадо од двесте овци, од богатото пасиште на Израилот; сето тоа ке биде дар за лебен принос, за сепаленица и за благодарствена жртва, поради нивното очистување, вели Господ Бог.
16. Сиот народ од земјата должен е да го дава тој принос за кнезот во Израилот.
17. А кнезот е должен да принесува сепаленици и лебен принос, прелив на празници, во новомесечијата и во саботите за време на сите прослави во домот Израилев; тој ке треба да принесува жртви за грев и лебен принос, сепаленици и благодарствени жртви за очистување на домот Израилев.
18. Така вели Господ Бог: во првиот месец, на првиот ден од месецот, земи од стадото волови јунец без недостаток и очисти го светилиштето.
19. Свештеникот нека земе крв од таа жртва за грев и со неа нека ги пороси довратниците на храмот и рамнинката на жртвеникот на четирите агли, а и довратниците на внатрешниот двор.
20. Тоа исто направи го и во седмиот ден од месецот за оние кои смислено и по простотилак грешат, па така очисти го храмот.
21. На четиринаесеттиот ден од првиот месец треба да празнуваш Пасха, седмодневен

празник кога ќе се јадат бесквасници.
22. Во тој ден кнезот ќе принесе за себе и за сиот народ во земјата жртва - еден јунец за грев.
23. И во тие седум дена на празникот тој ќе Му принесува на Господа сепаленица секој ден, по седум јунци и по седум овни без недостаток, а и жртва за грев секој ден - по еден козел од стадото кози.
24. Лебен принос ќе принесува по ефа на јунец и по ефа на овен, и елеј по хин од ефа.
25. Во седмиот месец, на петнаесеттиот ден од месецот, на празникот, во текот на седумте дена тој треба да принесува исто таква жртва за грев, таква сепаленица, и толку лебен принос и толку елеј.

Глава 46

1. Така вели Господ Бог: 'вратата на внатрешниот двор, свртена кон исток, треба да биде затворена во текот на шесте работни денови, а во саботниот ден да биде отворена, но и во деновите на новомесечијата треба да биде отворена.
2. Кнезот ке мине низ надворешниот трем до вратата и ке застане кај довратниците на таа врата; свештениците ке ја извршуваат неговата сепаленица и неговата благодарствена жртва; и тој пред прагот на вратата ке Му се поклони на Господа и ке излезе, а вратата ке остане отворена до вечерта.
3. И народот од таа земја ке се поклони пред Господа, пред влезот на вратата, во саботите и во новомесечијата.
4. Сепаленицата, која кнезот ке Му ја принесува на Господа во саботен ден, треба да се состои од шест јагниња без недостаток и овен без недостаток;
5. лебниот принос ке биде ефа на овен, а лебниот принос за јагнињата колку што ке му даде раката, како и елеј - еден хин на ефа.
6. Во денот, пак, на новомесечие, тој ке принесува по еден јунец без недостаток од стадото волови, а и по шест јагниња и по еден овен без недостаток,
7. Лебниот принос ке се состои од ефа на јунец и ефа на овен, додека за јагнињата колку што раката ке му даде, како и елеј по еден хин на ефа.
8. И кога доа а кнезот, тој треба да влегува низ тремот од таа врата, и по истиот пат да излегува.
9. А кога доа а народот од таа земја пред лицето на Господа во празнични денови, оној што ке влегува низ северната врата за поклон, ке треба да излезе низ јужната врата, додека оној што ке влезе низ јужната врата, тој ке треба да излезе низ северната врата: тој не треба да излегува низ истата врата низ која влегол, туку низ спротивната врата.
10. И кнезот треба да се нао а ме у нив; кога ке влегуваат тие, и тој влегува, и кога ке излегуваат тие, излегува и тој.
11. И во празничните денови и за време прославите за лебен принос треба да име по ефа на јунец и по ефа на овен, а за јагнињата колку што раката ке му даде, како и елеј - по хин на ефа.
12. Ако, пак, кнезот по своја волја побара да принесе сепаленица или благодарствена жртва на Господа, тогаш нему ке му се отвори вратата, свртена кон исток, и тој ке ја принесе својата сепаленица и својата благодарствена жртва, онака како што се извршува во саботен ден, и потоа тој ке излезе, но по неговото излегување, вратата ке се затвори.
13. Секој ден принесувај Му на Господа сепаленица по едно јагне без недостаток, принесувај го изутрина.
14. И лебен принос додавај кон него секое утро - по една шестина од ефа и по една третина од хин елеј, за да се покваси брашното; тоа е вечна наредба за лебниот принос на Господа, засекогаш.
15. Постојано, секое утро, да се принесува за сепаленица по едно јагне, лебен принос и елеј.
16. Така вели Господ Бог: ако кнезот на некого од синовите свои му даде дар, тој дар треба да му е во наследство и на синовите негови; тоа нивно владение треба да биде наследствено.
17. Ако, пак, од наследственото свое му даде дар на некого од слугите свои, тој подарок ке му припа а само до ослободувањето негово, а потоа тој ке му се врати на кнезот. Само на неговите синови треба да остане наследството негово.
18. Но кнезот нема право да зема од наследствениот дел на народот, гонејки ги лу ето од нивните владенија; само од своето владение тој може да дава на децата свои, та никој од народот Мој да не биде изгонет од неговото владение.'
19. И ме доведе тој до ходникот, што се нао аше откај вратите, во светите соби за свештениците, свртени кон север, а таму, ете, имаше едно место во дното кон запад.
20. И ми рече: 'Ова е местото каде што свештениците треба да ја варат жртвата за престап и

жртвата за грев, каде што треба да го печат лебниот принос, не изнесувајки го во надворешниот двор, за осветување на народот.'
21. Па ме изведе во надворешниот двор и ме проведе по четирите агли на дворот, и, ете, - при секој доврен агол имаше пак двор.
22. Во сите четири дворни агли имаше покриени дворови, по четириесет лакти во должина и по триесет лакти во ширина, сите четири имаа иста мерка.
23. Насекаде околу четирите имаше ѕидови, а при ѕидовите беа направени огништа наоколу.
24. И ми рече: ете, тоа се готварниците, во кои служителите во храмот ги варат народните жртви.

Глава 47

1. Потоа ме врати кај вратата на храмот, а ете, таму, под прагот на храмот течеше вода кон исток, бидејќи храмот беше свртен кон исток, и водата течеше од под десната страна на храмот, јужно од жртвеникот.
2. Ме изведе низ северната врата и однадвор ме поведе кон надворешната врата, по патот, свртен кон исток, каде што водата течеше од десната страна.
3. Кога тој човек појде кон исток, во раката држеше врвца; тогаш тој измери иљада лакти и ме поведе преку водата; водата беше длабока до глуждовите.
4. Потоа измери уште иљада лакти и пак ме преведе преку водата; водата беше длабока до колена. Измери уште иљада лакти и ме преведе преку: водата беше длабока до појасот.
5. И пак измери уште иљада лакти, а таму веке имаше поток, преку кој јас не можев да минам, бидејќи водата беше толку висока, што требаше да пливам, оти тој поток не можеше да се прегази.
6. Па ми рече: 'Виде ли, сине човечки?' Потоа ми поведе назад кон брегот на потокот.
7. А кога се вратив назад, таму, пак, на бреговите од едната и од другата страна имаше многу дрвја.
8. И ми рече: 'Ова вода тече кон источниот дел на земјата, се спушта во рамнината и потоа ке се влива во морето; и водите на потокот ке бидат здрави.
9. И секое живо суштество, што ке се движи таму, каде што се вливаат двете струи, ке биде здраво; и риби ке има таму многу, зашто таа вода ке се влива таму; и водите на морето ке станат здрави, и каде што ке се влива тој поток, таму се ке биде живо.
10. И до него ке стојат рибари од Ен - Гади до Еглаим, ке фрлаат мрежи. Ќе има секаков вид риба, како и во големото море, и ке има многу, многу риба.
11. Калиштата и барите негови, што нема да стана здрави, ке бидат оставени за сол.
12. По бреговите на потокот од едната и од другата страна ке растат секакви дрвја, што ке даваат храна; лисјата нивни нема да свенуваат и плодовите нивни нема да завршуваат; секој месец ке зреат нови, оти водата од светилиштато тече за нив; плодовите нивни ке служат како храна, а лисјата нивни - за лек.
13. Вака вели Господ Бог: 'Еве ја распределбата, според која вие ке треба да ја разделите земјата во наследство поме у дванаесетте Израилеви колена - на Јосифовите два дела.
14. Па наследете ја, како едниот, така и другиот; зашто Јас, кога ја кренав раката, се заколнав дека ке им ја дадам на татковците ваши, и таа земја ке ви биде наследство.
15. А еве ја границата на земјата: од север, почнувајки од големото море, преку Хетлон, по патот за Цедад,
16. Емат, Берот, Сивраим, што се нао а ме у областа на Дамаск, и Емат, Хацар Тихон, кој се нао а на Авранската граница.
17. И границата од морето ке биде до Хацар Енон, границата со Дамаск и понатаму на север се до областа Емат: тоа ке биде северниот крај.
18. Од источната страна повлечете црта ме у Авран и Дамаск, ме у Галад и земјата Израилева, по реката Јордан се до морето источно: тоа е источната граница.
19. А од јужната граница спрема југ од Тамара до водата на Мерива во Кадис, се по должината на потокот до големото море: тоа е јужната граница.
20. Западната граница ке биде великото море, од југ до местото спроти Емат: тоа е западната граница.
21. Разделете си ја таа земја на делови според Израилевите колена.
22. А разделете ја со жреб како наследство свое и наследство на другоземци, што живеат при вас, и кои родиле деца при вас, па и тие нека се сметаат како ту оземци, и да имаат дел од наследството ме у колената Израилеви.
23. При чие колено живее ту оземец, при него дајте му и негово наследство, вели Господ Бог.

Глава 48

1. А ова се имињата на колената. На север, по патот што води од Хетлон за Емат и Хацар Енон, на ме ата ме у Дамаск и Емат, сето тоа од исток па се до морето е еден дел за Дан.
2. А од границата на Дан, од север па до запад, тоа е еден дел за Асира.
3. Од границата, пак, на Асира, од источниот крај па до западниот, тоа е дел еден за Нефталима.
4. До границата на Нефталима, од источниот крај па се до западниот, тоа е еден дел за Манасија.
5. До границата на Манасија, од исток до запад, тоа е еден дел за Ефрема.
6. До границата на Ефрема, од источниот крај па се до западниот, тоа е еден дел за Рувима.
7. До границата на Рувима, од исток до запад, тоа е еден дел за Јуда.
8. А до границата на Јуда, од исток до запад, е свештениот дел, широк дваесет и пет иљади трски и долг колку што се и другите делови, од исток па се до запад? Во средината негова се нао а светилиштето.
9. Делот што е посветен за Господа ке биде долг дваесет и пет иљади трски, а широк десет иљади.
10. И тој свештен дел треба да им припа а на свештениците, кој е од северната страна долг дваесет и пет иљади лакти, а од кај морето - широк десет иљади, и од кај исток - широк десет иљади, а од кај југ долг ке биде дваесет и пет илајди, додека спроти него ке биде поставено светилиштето на Господа.
11. Дајте им го тоа на свештениците од синовите на Садока, што Ми стоеја на стража, кога отстапуваа синовите Израилеви, но тие не отстапија од Мене, како што отстапија другите левити.
12. Ним ке им припадне тој дел од свештената земја, Свјатаја Свјатих, во пределот на левитите.
13. И левитите ке добијат во свештеничкиот дел дваесет и пет иљади трски надолж и десет иљади нашир; целата должина ке е дваесет и пет иљади трски, и ширина десет иљади.
14. Од тој дел тие не можат ни да продаваат, ниту да сменуваат; и првините од земјата не можат да ги пренесуваат на други, зашто тоа е светиња Господова.
15. А дргите пет иљади лакти во ширина од дваесет и пет иљади и во должина - пет иљади, ке се определат за општа употреба на градот, за населби и за предградија; градот ке биде во средината.
16. А еве ги мерките - од северната страна четири иљади и петстотини трски, од јужната четири иљади и петстотини, од источната четири иљади и петстотини и од западната страна - четири иљади и петстотини.
17. Предградието, пак, на градот ке биде двесте и педесет лакти од север, двесте и педесет од исток, двесте и педесет од југ и двесте и педесет од запад.
18. А она што ке преостане од должината спроти свештениот дел - десет иљади спрема исток и десет иљади спрема запад, спроти свештениот дел, ке биде земја, чии производи ке служат за исхрана на работниците во градот.
19. Во градот ке можат да работат работници од сите Израилеви колена.
20. Одвоениот дел од дваесет и пет иљади лакти во должина и дваесет иљади во ширина, четириаголен, определете го како свештен дел, вклучувајки ги во него и владенијата на градот.
21. А се што ке остане, да биде за кнезот. Како откај свештеникот дел, така исто и откај владенијата на градот, спроти дваесет и петте иљади трски до источната гарница, на делот, и на запад спроти дваесет и петте иљади лакти на западната граница, сразмерно со сите делови е делот на кнезот, така што свештениот дел и светилиштето да бидат во средината негова.
22. А она што ке остане од левитските владенија и од владенијата на градот во средината, ке му припадне исто така на кнезот: ме у границата на Јуда и ме у границата на Венијамина.

23. Остатокот, пак, од колената, од источниот крај до западниот - е еден дел за Венијамина.
24. До границата на Венијамина, од исток до запад, ке биде еден дел за Симеона.
25. До границата на Симеона, од исток па до запад, тоа ке биде еден дел за Исахара.
26. До границата на Исахара, од источниот крај па до западниот, ке е еден дел за Завулона.
27. До границата на Завулона, од исток па до запад, еден дел за Гада.
28. А до границата на Гада, од јужната страна, се протега јужниот крај од Тамара до водите на Мерива во Кадис, по должината на потокот се до големото море.
29. Ете, тоа е земјата што со жреб ке ја разделите ме у Израилевите колена, и тоа се деловите, вели Господ Бог.
30. А ова се излезите на градот: од северната страна - четири иљади и петстотини мерки,
31. и портите на градот се именувани со имињата на колената Израилеви: од северната страна три порти - Рувимова, Јудина, Левиева.
32. И од источната страна - четири иљади и петстотини мерки, со три порти - Јосифова, Венијаминова, Данова.
33. И од јужната страна - четири иљади и петстотини мерки, со три порти: Симеонова, Исахарова и Завулонова.
34. Од страната на морето, пак, - четири иљади и петстотини мерки, и три порти: Гадова, Асирова и Нефталимова.
35. А мерката наоколу ке изнесува осумнаесет иљади. И градот од тој ден ке се именува: 'Господ е таму'.

Даниел

Глава 1

1. Во третата година од царувањето на јудејскиот цар Јоаким се крена вавилонскиот цар Навуходоносор, против Ерусалим и го опседна.
2. И го предаде Господ во раката негова јудејскиот цар Јоакима и дел од садовите на домот Божји, и тој ги испрати во земјата Сенар, во домот на својот бог, и ги внесоа тие садови во ризницата на својот бог.
3. И му рече царот на Асвеназа, началникот на дворјаните, да му доведе од синовите Израилеви, од царски и кнежевски род,
4. момчиња кои немаа никаков телесен недостаток, лични на глед и способни за секаква наука, што ги разбираат науките и да се разумни и волни да служат во царските палати, и да ги научи халдејските книги и јазик.
5. И определи царот секојдневна храна од царската трпеза и вино што сам го пиеше, па заповеда да ги воспитуваа три години, а потоа тие требаше да се појават пред царот.
6. Ме у нив беа од Јудините синови Даниил, Ананиј, Мисаил и Азариј.
7. Тогаш началникот на дворјаните им ги смени имињата: Даниила го нарече Валтазар, Ананија - Седрах, Мисаила - Мисах и Азарија - Авденаго.
8. Даниил науми да не се осквернува со јадењето од царската трпеза и од виното, што го пиеше царот, па затоа го замоли началникот на дворјаните да не го принудува да се осквернува.
9. Бог му даде на Даниила милост и благонаклоност кај началникот на дворјаните.
10. И така, началникот на дворјаните му рече на Даниила: 'Се плашам од својот Господа, царот, кој лично ја определи храната и пењето; ако ги види вашите лица послаби, отколку што се кај момчињата, вашите врсници, вие ке ја доведете во опасност славата моја пред царот.'
11. Тогаш Даниил му рече на Амелсара, кого го беше поставил при Даниила Ананија, Мисаила и Азарија началникот на дворјаните:
12. 'Обиди се со слугите свои - десет дни нека ни даваат овошје како храна и вода како пиење;
13. а потоа нека се јават пред тебе нашите лица и лицата на оние момчиња што се хранат од царската трпеза, па потоа постапувај со слугите свои, како што ке мислиш да е добро.'
14. Тој ги послуша во тоа и направи обид таков со нив десет дена.
15. По десетте дена лицата нивни изгледаа поубави, а и телесно беа пополни од сите оние момчиња, што се хранеа со царските јадења.
16. Тогаш Амелсар го земаше нивното јадење и виното, па им даваше овошје.
17. И им дарува Бог на четворицата момчиња знаење и разбирање на секаква книга и мудрост, а на Даниила му подари уште да толкува и секакви виденија и соништа.
18. Откако завршија деновите, кога царот беше заповедал да ги претстават, началникот на дворјаните ги претстави пред Навуходоносора.
19. Царот зборуваше со нив и од сите момчиња не се најде ниту едно како што беа Даниил, Ананиј, Мисаил и Азариј, и потоа тие почнаа да служат пред царот.
20. И во се, за што се бараше мудрост и разбирање, и за што и да ги прашаше царот, ги најде за десетпати подобри од сите гатачи и гледачи, колку што ги имаше во целото негово царство.
21. И остана таму Даниил до првата година на царот Кир.

Глава 2

1. Во втората година од царувањето свое Навуходоносор сони сон, од кој духот му се смати и сонот побегна од него.
2. Па заповеда царот да ги повикаат гатачите и гледачите, ме епсниците и Халдејците за да му го протолкуваат сонот. Тие дојдоа и застанаа пред царот.
3. И им рече царот: 'Сонив сон и духот ми се возбуди - сакам да знам што значи тој сон.'
4. Тогаш Халдејците му рекоа на царот по арамејски јазик: 'Царе, да си жив довека, кажи им го на слугите својот сон и ние ке објасниме што означува тој.'
5. Одговори царот и им рече на Халдејците: 'Сонот избега од мене; ако не ми го кажете сонот и што означува тој, ке бидете исечени на парчиња, и куките ваши ке биде претворени во урнатини;
6. ако, пак, ми го кажете сонот и што означува тој, од мене ке добиете дарови, награда и голема чест; па кажете ми го сонот и што означува тој!'
7. Тие повторно одговорија и рекоа: 'Царот нека им го каже на слугите својот сон и ние ке објасниме што означува тој.'
8. Одговори царот и рече: 'Гледам дека вие сакате да добиете во време, оти гледате, дека сонот веке избегал од мене.
9. Бидејки не ми го кажувате сонот, вие секако имате некоја намера: се готвите да ми кажете лага и измама, додека мине времето; но кажете му на синот мој и тогаш ке знам дека вие можете да ми објасните и што значи тој.'
10. Халдејците му одговорија на царот и рекоа: 'На земјата нема човек што може да му го открие на царот сонот, и затоа ниеден цар, голем и силен, не побарал слично нешто од ниеден јасновидец, гледач и Халдеец;
11. сонот, што го бара царот, е толку тежок, што никој друг не може да му го открие на царот, освен боговите, кои не живеат со смртниците.'
12. Царот се разгневи и се јадоса многу поради тој одговор, па заповеда да ги истребат сите вавилонски мудреци.
13. Кога излезе таа заповед да се убиваат мудреците, го побараа Даниила и другарите негови за да ги убијат.
14. Тогаш Даниил се обрна со претпазливост и мудрост кон Ариоха, началникот на царските телохранители, кој беше излезен да ги убива вавилонските мудреци,
15. и го праша Ариоха, а тој беше силен пред царот: 'Зошто таква страшна заповед од царот?' Тогаш Ариох му ја прикажа на Даниила целата случка.
16. И Даниил појде кај царот и измоли да му даде време за да му го каже на царот толкувањето на сонот.
17. Даниил отиде дома и им ја кажа работата на своите другари Ананија, Мисаила и Азарија,
18. за да измолат милост од Бога небесни за таа тајна, па Даниил и другарите негови да не загинат заедно со другите мудреци вавилонски.
19. И тогаш тајната му беше откриена на Даниила во нокно време, и Даниил го благослови небесниот Бог.
20. И рече тогаш Даниил: 'Нека е благословено името на Господа од века и до века, зашто во него има мудрост и сила.
21. Он ги менува времињата и годините, соборува цареви и поставува цареви, дава мудрост на мудри и знаење на разумни.
22. Он открива што е длабоко и сокриено, знае што има во темнината и светлината живее со Него.
23. Те прославувам и величам, Боже на татковците мои, затоа што ми даде мудрост и сила и ми го откри она, за што те молевме; оти Ти ни го откри сонот на царот.'
24. Потоа Даниил отиде при Ариоха, кому царот му беше заповедал да ги убие мудреците вавилонски, влезе и му рече: 'На убивајте ги мудреците вавилонски; одведи ме при царот и јас

ке му откријам што означува сонот.'
25. Тогаш Ариох веднаш го одведе Даниила кај царот и му рече: 'При заробените синови на Јуда најдов човек кој може да му открие на царот што означува сонот.'
26. Царот му рече на Даниила, кој беше преименован во Валтазар: 'Можеш ли да ми го кажеш сонот што го видов и што означува тој?'
27. Даниил му одговори на царот и рече: 'Тајната за која царот прашува не можат да му ја откријат на царот ни мудреците, ни ма апесниците, ни јасновидците ни гледачите.
28. Но на небесата има Бог, Кој открива тајни; и Он ке му отркие на царот Навуходоносор се што ке се збидне во последните денови.
29. Ти царе, на леглото свое си мислеше што ке се случи после, и Оној Кој отркива тајни, ти покажа што ке се случи.
30. А мене таа тајна ми се отрки, не за да бидам помудар од сите живи, туку за да му биде откриена на царот смислата, и за да ги узнаеш мислите на срцето свое.
31. Твоето видение, царе, е вакво; ете, некаков си голем, огромен беше тој лик, стоеше пред тебе во голема светлина, и погледот му беше страшен.
32. Главата на тој лик беше чисто злато, градите и рацете од сребро, додека стомакот и бедрата негови беа бакарни.
33. Потколениците железни, а нозете дел железни, дел глинени.
34. Ти го гледаше, додека еден камен не се откачи од планината сам, удри во идолот, во неговите железно - глинени нозе и го скрши.
35. Тогаш заедно се се раздроби: железото, глината, бакарот, среброто и златото станаа како прав на летно гумно; ветрот ги однесе, и трага од нив не остана, а каменот што го разби идолот стана колема планина и ја исполни целата земја.
36. Ете, тоа е сонот, а сега да кажам пред царот и што означува тој.
37. Ти царе, цар над царевите, кому небесниот Бог му подарил царства, власт сила и слава,
38. и во рацете твои ти ги предал сите човечки синови, каде и да живеат тие, сите ѕверови земни и птици небески и те поставил за господар над сите нив, - ти си таа златна глава.
39. По тебе ке се крене друго царство, помало од твоето, а и трето царство, бакарно, ке владее над целата земја.
40. А четвртото царство ке биде цврство како железо; оти како што железото троши и дроби се, така и тоа железо што крши се, ке дроби и ке уништува.
41. А тоа што си ги видел нозете и прстите на нозете направени дел од грнчарска глина и дел од железо, тоа царство ке биде разделено и во него ке остане само нешто од цврстината на железото, бидејки си видел железо, измешано со грнчарска глина.
42. И како што прстите на нозете беа дел од железо, а дел од глина, така и царството ке биде делум силно, а делум слабо.
43. А она, пак, што си видел железо, измешано со грнчарска глина, тоа значи дека тие преку човечкото семе ке се измешаат, но нема да се слеат едно со друго, како што железото не е слеано со глината.
44. И во деновите на тие царства небесниот Бог ке подиегне царство кое нема да се разруши никогаш, а тоа царство нема да биде предадено на друг народ; тоа ке ги победи и разруши сите царства, а само тоа ке остане вечно.
45. Бидејки ти виде дека каменот што падна од планината сам, го раздроби железото, бакарот, глината, среброто и златото. Великот Бог му даде на царот да разбере што ке се случи потоа. И верен е тој сон и точно е неговото толкување!'
46. Тогаш царот Навуходоносор падна ничкум и се поклони пред Даниила, па заповеда да му донесат дарови и благопријатни кадива;
47. и му рече царот на Даниила: 'Навистина вашиот Бог е Бог над боговите и Господар на царевите, Кој открива тајни, штом ти можеше да ја откриеш оваа тајна!'
48. Тогаш царот го возвиши Даниила, му даде многу големи дарови и го постави над целата област вавилонска, како главен началник над сите мудреци вавилонски.

49. Но Даниил го замоли царот, и тој ги постави Седраха, Мисаха и Авденаго над работите од земјата вавилонска, а Даниил остана при царскиот двор.

Глава 3

1. Царот Навуходоносор направи златен идол, висок шеесет лакти, шест лакти широк, и го постави во полето Деир, во областа Вавилонска.
2. И нареди царот Навуходоносор, да се соберат сите сатрапи, наместници, војдови, врховни судии, ризничари, законодавци, судии и сите обласни управители да дојдат на свеченото откривање на идолот што беше го поставил царот Навуходоносор.
3. И се собраа сатрапите, немесниците, воените началници, врховните судии, ризничарите, правниците, судиите и сите обласни управители за откривање на идолот кој царот Навуходоносор го беше поставил, и застанаа пред идолот, што беше го подигнал Навуходоносор.
4. Тогаш гласникот високо извика: 'Ви се објавувам вам народи, племиња и јазици -
5. штом ке го чуете звукот на трубата, од свирката, од цитрата, од гуслето и од пеењето, како и од секакви свирки, паднете ничкум и поклонете му се на златниот идол што го постави царот Навуходоносор;
6. а оној што нема да падне на колена и не се поклони, веднаш ке биде фрлен во вжарена печка.'
7. Затоа, кога го чуја звукот од трубата, од свирката, од гуслето и од другите свирки, паднаа на колена сите народи, племиња и јазици и му се поклонија на златниот идол што го беше поставил царот Навуходоносор.
8. Во тоа исто време дојдоа некои од Халдејците и ги наклеветија Јудејците.
9. Тие му рекоа на царот Навуходоносор: 'Царе, жив да си довека!
10. Ти царе, даде заповед секој човек што ке го чуе гласот од трубата, свирката, цитрата, гуслето и од сите свирки да падне на колена и да му се поклони на златниот идол;
11. а оној што нема да падне и нема да му се поклони, тој треба да биде фрлен во вжарена печка.
12. Но има лу е Јудејци што си ги постави над работите на земјата вавилонска - Седрах, Мисах и Авденаго; тие лу е не се поклонија на твојата заповед, царе, на твоите богови не им служат и на златниот идол што го постави не му се поклонија.'
13. Тогаш царот Навуходоносор во гнев и јарост заповеда да ги доведат Седраха, Мисаха и Авденаго; и ги доведоа тие лу е пред царот.
14. Навуходоносор им рече: - Седрахе, Мисахе и Авденаго, умислено ли не им служите на моите богови, и на златниот идол, што го поставив, не му се поклонивте?
15. Отсега, ако сте спремни, штом ке го чуете звукот на трубата, свирката, цитрата, гуслето, пеењето и од сите други свирки, паднете на колена и поклонете се на идолот што го направив јас; ако не се поклоните, веднаш ке бидете фрлени во вжарена печка и тогаш кој бог ке ве избави од раката моја?
16. Одговорија Седрах, Мисах и Авденаго и му рекоа на царот Навуходоносор: 'Нема потреба да ти одговориме на тоа.
17. Нашиот Бог, Кому Му служиме, е силен да не спаси од вжарената печка, па и од твојата рака, царе ке не избави.
18. Ако пак и тоа не се случи, извесно нека ти е, царе, дека нема да им служиме на твоите богови и на златниот идол што си го поставил нема да му се поклониме.'
19. Тогаш царот Навуходоносор се исполни со јарост и изгледот на лицето негово се измени против Седраха, Мисаха и Авденаго, па заповеда да запалат печка седумпати посилна отколку што обично ја угоруваа;
20. и им заповеда на најзилните лу е од војската своја да ги врзат Седраха, Мисаха и Авденаго и да ги фрлат во вжарената печка.
21. Тогаш тие лу е беа врзани со долните и горните облеки, со предврски на главата и со другите алишта и беа фрлени во печката огнена што гореше.
22. Бидејки царската заповед беше строга, и печката вжарена необично многу, пламенот од

огнот ги умртви лу ето што ги фрлија Седраха, Мисаха и Авденаго.
23. А тројцата - Седрах, Мисах и Авденаго - паднаа во вжарената печка врзани.
24. Царот Навуходоносор кога чу дека тие пеат, се возбуди, стана брзо и им рече на големците свои: 'Нели трите души врзани ги фрливме во огнот?' Тие му одговорија на царот: 'Навистина така беше, царе!'
25. На тоа тој рече: 'Еве јас гледам четири души, како одат неврзани среде огнот и ништо не им се случува; и подобието на четвртиот е слично на синот Божји.'
26. Тогаш Навуходоносор се приближи до отворот на распалената печка со оган и рече: 'Седрахе, Мисахе и Авденаго, слуги на севишниот Бог, излезете и дојдете.' Тогаш Седрах, Мисах и Авденаго излегоа од огнот,
27. и штом се собраат сатрапите, намесниците, воените началници и советниците цареви, видоа дека огнот немал никаква сила врз телата на тие лу е, дури и косата на главата не им беше опржена, а и облеките нивни не им се беа измениле, па дури и мирис на изгорено немаше на нив.
28. Тогаш Навуходоносор рече: 'Нека е благословен Бог на Седрах, Мисаха и Авденаго, Кој го испрати Својот ангел и ги избави слугите Свои што се надеваа на Него и не ја послушаа царската заповед, па ги предадоа телата свои на огнот за да не служат и да не се поклонат на друг бог, освен на својот Бог!
29. И еве, јас давам заповед, ако некој од народите, племињата и јазиците изговори хула против Бога на Седраха, Мисаха и Авденаго, да се исече на парчиња и куката да му се претвори во урнатини, зашто нема друг Бог, Кој може така да избавува.'
30. Тогаш царот ги возвиси Седраха, Мисаха и Авденаго во земјата Вавилонска и ги возвеличи и ги удостои со началства над другите Јудејци во царството свое.

Глава 4

1. 'Царот Навуходоносор до сите народи, племиња и јазици што живеат по земјата - мирот да ви се умножи!
2. Угодно ми е да ве известам за знаците и чудесата кои Севишниот Бог ги изврши над мене.
3. Колку се големи знаците Негови и колку се силни чудесата Негови! Царството Негово е Царство вечно, и владеењето Негово - од род во род.'
4. Јас, Навуходоносор, бев спокоен во својот дом и напредував во се.
5. Но видов сон што ме уплаши, и размислувањата врз леглото мое и виденијата на главата моја ме смутија.
6. Па дадов заповед да ги доведат при мене сите мудреци вивилонски за да ми кажат што означува сонот.
7. Тогаш дојдоа јасновдците, ма епсниците, Халдејците и гледачите и јас им го кажав сонот, но тие не можеа да ми објаснат што значи.
8. Последен влезе при мене Даниил, чие име беше Валтазар - според името на мојот бог, и во кого е духот на Бога светецот; нему му го кажав сонот.
9. Валтазаре, глава на мудреците, знам дека е во тебе духот на Бога светецот и дека никаква тајна тебе не ти престставува; објасни ми го видението на мојот сон што го видов и што значи.
10. А виденијата на мојата глава врз леглото мое беа вакви: видов, ете, во средината на земјата дрво многу високо.
11. Големо беше тоа дрво и цврсто, а височината негова достигаше до небото, и се гледаше од сите краишта на целата земја.
12. Лисјата негови - многу убави, и плодовите на него - многубројни, и храна на него имаше - за сите; под него нао аа сенка ѕворовите полски, а по гранките негови си правеа гнезда птиците небески и од него се хранеше секое суштество.
13. И видов виденија на главата моја врз леглото мое, а тоа, од небесата слезе Будниот и Светиот.
14. Откако извика високо, Он рече: ‘Исечете го тоа дрво, искастрете ги гранките негови, истресете ги лисјата од него и расфрлете ги плодовите негови; нека избегаат ѕверовите од под него и птиците од под гранките негови;
15. но коренот оставете го во земјата, и во вериги железни и бакарни ме у полската трева нека се напојува со росата небеска и со животните нека биде делот негов во земјата.
16. Срцето човечко ке му се одземе и ке му се даде срце ѕверско и над него ке минат седум времиња.
17. По заповед на Будниот така е определено и по пресуда од светиите така е одредено за да знаат живите дека Севишниот владее над човечкото царство и го дава кому сака и поставува над него понизени ме у лу ето.‘
18. Таков сон видов јас, царот Навуходоносор; а ти Валтазаре, кажи што означува сонот, бидејки никој од мудреците во моето царство не може да објасни што значи тој, а ти можеш, оти во тебе е духот на Бога светецот.'
19. Тогаш Даниил, чие име беше Валтазар, остана занесен околу еден час и мислите негови му беа збркани. Царот прв почна да зборува и рече: 'Валтазаре, да не те смутува овој сон и значењето негово.' Валтазар одговори и рече: 'Господару мој, овој сон нека биде за твоите завидливци, а значењето негово е - за твоите непријатели.
20. Дрвото што си го видел кое беше големо и цврсто, и со височината достигало до небесата и се гледало по целата земја,
21. на кое имало прекрасни лисја и многу плодови и храна за сите, под кое живееле полски ѕверови и во чии гранки виеле гнезда птици небески,
22. тоа си ти царе што си се возвеличил и укрепил, и величието твое пораснало и достигнало до небесата, а власта твоја - до краиштата на земјата.
23. А тоа што царот го видел Будниот и Светиот, Кој слегнал од небесата и рекол: - исечете го

дрвото и уништете го, но главниот корен оставете го за во земјата и тој во вериги железни и бакарни ме у полската трева да се напојува со небеската роса и дел од него да биде заедно со полските ѕверови, додека не изминат над него седумте времиња,
24. еве што значи тоа царе, и ова е решението на Севишниот што ке го постигне мојот господар царот:
25. тебе ке те одведат од лу ето и ти ке живееш со ѕверовите полски, со трева ке те хранат како вол, со небеска роса ке се напојуваш и седумте времиња ке минат преку тебе, се додека не разбереш дека Севишниот владее над човечкото царство и го дава кому сака.
26. А тоа што е заповедано да остане главниот корен на дрвото, тоа значи дека твоето царство ке остане при тебе, кога ке разбереш дека има небесна власт.
27. Затоа царе нека ти биде благоугоден мојот совет: откупи ги гревовите свои со правда, и беззаконијата твои - со милосрдие спрема бедните; ете со тоа може да се продолжи твојот мир.'
28. Сето тоа се збидна со царот Навуходоносор.
29. Откако минаа дванаесет месеци, одејки по царските дворци во Вавилон,
30. царот рече: 'Зар не е величествен овој Вавилон, што го изградив како дом на царството со силата на мојата мок и за слава на моето величие!'
31. Тој збор беше во устата на царот, а од небото се чу глас: 'За тебе зборуваат, царе Навуходоносоре - царството побегна од тебе!
32. И ке те одвојат од лу ето, па ке живееш со полските ѕверови; со трева ке те хранат како вол и седум времиња ке минат преку тебе се додека не узнаеш дека Севишниот владее над човечкото царство и дека го дава кому сака Он.'
33. Венаш се исполни тој збор на Навуходоносора, и тој беше одведен од лу ето, јадеше трева како вол и телото негово се напојуваше само со росата небеска, така што коските му израснаа како кај лав и ноктите му беа како кај птиците.
34. 'Но, откако се изврши тоа во оние дни, јас, Навуходоносор, ги кренав очите кон небото и разумот се врати во мене, па Го благословив Севишниот, Го восфалиф и Го прославив вечно Живиот, чие владение е вечно и чие царство е од род во род.
35. И сите што живеат на земјата ништо не значат; Он дејствува според Својата воља како во небесната војска, така исто и ме у живите на земјата и нема никој што би можел да се противи на раката Негова и да му рече: што направи Ти?
36. Во тоа време разумот се поврати во мене и кон славата на моето царство ми се поврати величината и поранешниот вид: тогаш ме побараа советниците мои, великодостоинствениците мои, и јас бев повторно издигнат на царствово свое, и величието мое уште повеке се издигна.
37. Сега јас, Навуходоносор, превознесувам слава и Го величам царот небесни чии сите дела се вистински и патиштата Негови праведни и Кој е силен да ги смири оние што одат гордо.'

Глава 5

1. Царот Валтазар приреди голема гозба за иљада свои достоинственици и пред очите на иљадата пиеше вино.
2. Откако вкуси од виното, Валтазар заповеда да се донесат златните и сребрените садови, кои татко му Навуходоносор беше ги изнесол од Ерусалимскиот храм за да пијат од нив царот, достоинствениците негови, жените негови и наложниците негови.
3. Тогаш ги донесоа златните садови кои беа земени од Светилиштето на домот Божји во Ерусалим и пиеја од нив царот и достоинствениците негови, жените негови и наложниците негови.
4. Пиеја вино и ги славеа боговите златни и сребрени, бакарни и железни, дрвени и камени.
5. Во истиот момент се појавија прсти од човечка рака и пишуваа спроти светилникот на ѕидот од царскиот дворец, и царот ги виде прстите на раката што пишуваше.
6. Тогаш царот го измени лицето, мислите му се смутија, појасот на бедрата му олабави и колената негови почнаа да се удираат едно со друго.
7. Извика царот силно за да доведат ма епсници, Халдејци и гледачи: царот проговори и им рече на мудреците вавилонски: 'Оној што ке го прочита тоа што е напишано и ми објасни што значи, ке биде облечен во скерлет и околу вратот ке му биде ставена златна веришка, а во царството мое ке биде трет достоинственик.'
8. И влегоа сите мудреци цареви, но никој не можеше да го прочита напишаното и да му го објасни на царот значењето негово.
9. Царот Валтазар се разгневи многу и видот на лицето му се измени, а се смутија и достоинствениците негови.
10. Царицата, пак, во врска со зборовите на царот и на достоинсвениците негови влезе во собата каде што беше гозбата; проговори царицата и рече - 'Царе, да си жив довека, да не те возмутуваат мислита твои и да не се менува изгледот на лицето твое.
11. Во царството твое има човек, во кото е духот на Бога светецот; во деновите на твојот татко се најде во него светлина, разум и мудрост како мудроста на боговите и царот Навуходоносор, твојот татко, го постави како глава на јасновидците, Халдејците и гледачите, лично татко ти, царот,
12. бидејки во него, во Даниила, кому царот му го промени името во Валтазар, се најде висок дух, знаење и разум способен да толкува соништа, да толкува загадочни работи и да разврзува јазли. Зато нека го повикаат Даниила, и тој ке го објасни значењето.'
13. Тогаш го воведоа Даниила при царот, и царот проговори и му рече на Даниила: 'Ти ли си Даниил, еден од заробените синови јудејски, кого мојот татко, царот, те доведе од Јудеја?
14. Сум слушал за тебе дека во тебе има дух Божји и светлина и разум и голема мудрост.
15. Еве, ми ги доведоа мудреците и ма епсниците за да го прочитаат она што е напишано и да ми објаснат што значи тоа; но тие не можеа да ми објаснат.
16. За тебе сум чул дека можеш да го објасниш значењето и да разврзуваш јазли; па така, ако можеш да го прочиташ она, што е напишано и ми објасниш што значи, ке бидеш облечен во скерлет и околу вратот твој ке има златна веришка, а во царството мое ке бидеш трет достоинственик.'
17. Тогаш Даниил одговори и му рече на царот: 'Даровите нека ти останат при тебе, а почестите дај му ги на друг; а напишаното ке му го прочитам на царот и значењето ке му го објаснам.
18. Царе, Севишниот Бог беше му дарувал на татко ти Навуходоносора царство, величие, чест и слава.
19. Пред величието што му го беше дал Он, сите народи, племиња и јазици треперееа и се плашеа - кого сакаше го убиваше и кого сакаше - го оставаше жив; кого сакаше го издигаше, и кого сакаше го понижуваше.
20. А кога срцето негово се возгордеа и духот негов се ожесточи во дрскост, тој беше симнат

од царскиот престол и славата му беше одземена,
21. а беше одвоен од синовите човечки и срцето негово заприлега на ѕверско, и живееше со дивите осли; го хранеа со трева како вол, а телото негово се оросуваше од небеската роса, се додека не разбра дека над човечкото царство владее Севишниот Бог и го поставува над него, кого сака.
22. А ти сине негов, Валтазаре, не го смири срцето свое, иако го знаеше сето тоа.
23. Туку се возгордеа против Господа небесниот и садовите од Неговиот дом ти ги донесоа, па ти и твоите великодостојници, твоите жени и наложниците пиевте од нив вино и ги славевте боговите сребрени и златни, бакарни и железни, дрвени и камени, кои не гледаат, ни слушаат, ниту разбираат; а Бога, во чии раце е и твојата душа и во Кого се сите твои патишта, ти не Го прослави.
24. Заради тоа и се појавија од Него тие прсти од рака и е напишано ова писмо.
25. А еве што е напишано: Мани, Текел, Фарес.
26. А еве го значењето на зборовите: Мани - го изброи Бог царството твое и му стави крај;
27. Текел измерен си на кантар и се најде многу лесен;
28. Фарес - царството ти е разделени и им е дадено на Мидијаните и Персијанците.'
29. Тогаш по заповед на Валтазара го облекоа Даниила во скерлет и му ставија околу вратот златна веришка, па го прогласи за трет великодостојник во царството.
30. Во истата нок Валтазар, царот халдејски, беше убиен.
31. А Дариј Мидијанинот го презеде царството, кој тогаш беше на шеесет и две години.

Глава 6

1. Му се свиде на Дарија на царството да постави сто и дваесет сатрапи за да бидат управители во целото царство.
2. А над нив тројца кнезови, од кои еден беше Даниил - на кого сатрапите ке му даваат сметка, за да не биде царството претоварено.
3. Даниил ги надминуваше другите кнезови и сатрапи, бидејки во него имаше висок дух, и царот веке се мислеше да го постави над целото царство.
4. Тогаш кнезовите и сатрапите смислија предлог да го обвинат Даниила во управувањето со царството, но никако не можеа да најдат повод, ниту пак грешка, бидејки тој беше верен и немаше никаква погрешка ни вина.
5. Но тие лу е рекоа: 'Нема да најдеме причина против Даниила, ако не најдеме против него нешто во Законот на неговиот Бог.'
6. Тогаш тие кнезови и сатрапи отидоа при царот и му рекоа вака: 'Царе Дарие, жив да си довека!
7. Сите кнезови во царството, намесниците, сатрапите, советниците и воените началници се согласија поме у себе да се издаде царска наредба и да се објави заповед: секој што во текот на триесет дена ке се моли на кој и да било бог или човек, освен на тебе, царе, него да го фрлат во лавовска јама.
8. И така, утврди го царе тоа решение и потпиши ја наредбата за да не се изменува, како закон Мидијански и Персијски и да не биде нарушен.'
9. Царот Дариј го потпиша решението и заповедта.
10. А Даниил, штом разбра дека е потпишана таква повелба, отиде во домот свој. Прозорците на неговата дворна соба му беа отворени спрема Ерусалим, тој трипати во текот на денот ги приклонуваше колената свои и му се молеше на својот Бог и Го славословеше, како што го правеше тоа и порано.
11. Тогаш тие лу е, демнејки го, го најдоа Даниила дека се моли и бара милост пред својот Бог;
12. потоа отидоа и му кажаа на царот за царската заповед: 'Нели ти потпиша повелба дека секој човек, кој во текот на триесет дена ке му се моли на кој и да било бог или човек, освен на тебе, царе, да биде фрлен во лавовска јама?' Царот одговори и рече: 'Тој збор е цврст како и законот на Мидијаните и Персијанците, што не допушта измени.'
13. Тогаш тие одговорија и му рекоа на царот: 'Даниил, кој е од заробените синови од Јудеја, не обрнува внимание ни на тебе, царе, ниту на повелбата која си ја потпишал, туку по трипати на ден се моли со свои молитви.'
14. Царот кога го чу тоа, многу се јадоаса и си стави при срце да го спаси Даниила и дури до зајдисонце многу размислуваше да го избави.
15. Но оние лу е дојдоа при царот и му рекоа: 'Царе, знај дека според законот на Мидјаните и Персијците ниедно решение или заповед, потврдено од царот не може да се измени.'
16. Тогаш царот заповеда, и го доведоа Даниила, па го фрлија во лавовската јама; тогаш царот му рече на Даниила: 'Твојот Бог, Кому без престан Му служиш, Он нека те избави!
17. Па донесоа камен, го ставија врз отворот на јамата, и царот го запечати со својот прстен и со прстењата на великодостојниците свои, за да не се измени ништо по однос на Даниила.
18. Потоа царот си отиде во својот двор, легна да спие без вечера, па дури и порача да не му донесат храна, но сонот бегаше од него.
19. А утредента царот стана во зори и брзо се упати кон лавовската јама;
20. и кога се приближи до јамата, со нажален глас го повика Даниила и му рече: 'Данииле, слуго на живиот Бог! Твојот Бог, Кому без прекин Му служиш, може ли да те избави од лавовите?'
21. Тогаш Даниил му одговори на царот: 'Царе, да си жив довека!
22. Мојот Бог го испрати својот ангел и им ја затвори устата на лавовите, така што тие не ме повредија, оти јас излегов пред Него чист, па и пред тебе, царе, не сум извршил никаков

престап.'
23. Тогаш царот многу се зарадува за Даниила и заповеда да го извадат од јамата; го извадија Даниила од јамата, и никаква повреда не се забележа на него, отои тој веруваше во својот Бог.
24. Царот заповеда, па ги доведоа оние лу е, што го обвинуваа Даниила, и ги фрли во лавовската јама, како нив самите, така и децата нивни и жените нивни и уште не беа стигнале до дното на јамата, лавовите ги беа зграбиле и им ги беа здробиле сите нивни коски.
25. Потоа царот Дариј им напиша на сите народи, племиња и јазици кои живееја по целата земја: 'Мирот да ви се умножи!
26. Издавам повелба во секоја област на царството мое да треперат и да се плашат пред Данииловиот Бог, зашто Он е Бог жив и вечно живее, а царството Негово е непобедливо, и Неговото владение е бескрајно.
27. Он избавува и спасува, прави чудеса и знаци по небото и земјата; Он го избави Даниила од силата на лавовите.'
28. И така Даниило живееше добро и за царувањето на Дариј, а и во царувањето на Кир Персиски.

Глава 7

1. Во првата година на Валтазара, вавилонскиот цар, Даниил виде сон пророчки и виденија во главата своја врз своето легло. Тогаш тој го запиша тој сон, откако го забележа главното.
2. И почна да зборува Даниил, па рече: 'Видов во нокното свое видение, а таму, четири небесни ветра се бореа над големо море,
3. и четири големи ѕвера излегоа од морето, секој поинаков од другиот.
4. Првиот беше како лав, но со крилја орлови: гледав додека не му ги искубаа крилјата и потоа беше кренат од земјата, се исправи на нозете како човек и му се даде човечко срце.
5. И ете, уште еден ѕвер, втор, сличен на мечка, стоеше од едната страна и имаше три ребра во устата негова, ме у забите; нему му беше речено ова: 'стани и јади многу месо!'
6. Потоа видов, пак, уште еден ѕвер, како леопард: на грбот имаше четири крилја од птица, и четири глави имаше тој ѕвер, и му беше дадена власт.
7. Потоа видов од нокните виденија и ете, четврти ѕвер, страшен и ужасен и многу силен; имаше големи железни заби; тој јадеше и здробуваше, а остатоците ги газеше со нозете; тој се разликуваше од сите поренешни ѕверови, и имаше десет рогови.
8. Ги гледав тие рогови, и ете, ме у нив се појави уште еден мал рог, а три од првите рогови беа со корен, истргнати пред него, на тој рог имаше очи, како човечки очи, и уста што зборува надуено.
9. Видов најпосле дека се поставија престоли и седна Старец; облеклото му беше бело како снег, а косата на главата Негова како чиста волна; престолот Негов личеше на огнен пламен, а тркалата му беа како оган што пламти.
10. Река огнена излетуваше и минуваше пред Него; иљада иљади му служеа, и десетина иљади по десет иљади стоеја пред Него; седнаа судиите и книгите се отворија.
11. Тогаш видов дека за искажаните горди зборови, што рогот ги говореше, ѕверот беше убиен пред очите мои и телото негово смачкано и предадено на оган за да изгори.
12. И од другите ѕверови власта беше одземена и животот нивни се продолжи само до известно време и до рок.
13. Видов во нокните виденија, а тоа на небесните облаци како да идеше Синот Човечки, дојде до Старецот и застана пред него.
14. И Нему Му се даде власт, слава и царство, за да Му служат сите народи, племиња и јазици; владението Негово е владение вечно, кое нема да измине, и царството Негово нема да се разруши.
15. Духот мој затрепери во мене, Даниила, во телото мое и виденијата на главата моја се смутија.
16. Се приближив до еден од оние што стоеја напред и го прашав за вистинското значење на сето тоа, и тој почна да зборува со мене и ми ја објасни смислата на реченото:
17. 'Овие големи ѕверови, четири на број, означуваат дека четири цара ке се издигнат од земјата.
18. Потоа, светиите на Севишниот ке го земат царството и ке владеат со него и во веки веков.'
19. Тогаш замолив точно објаснување за четвртиот ѕвер што се разликуваше од сите и кој беше многу страшен, со железни заби и бакарни нокти изедуваше и трошеше, а остатоците ги газеше со нозете,
20. и за десетте рогови што беа на неговата глава и за другиот што се појави, пред кој паднаа трите, за оној ист рог, на кој имаше очи и уста што зборуваа гордо и како да стана поголем од другите.
21. Видов како тој рог водеше борба со светиите и ги надвиваше,
22. додека најпосле не дојде Старецот по определени дни и судот беше даден на светиите од Севишниот, па настапи време светиите да го завладеат царството.
23. Освен тоа тој рече: 'Четвртиот ѕвер го означува четвртото царство што ке постои на земјата, различно од сите царства и што ке ја изеде целата земја, ке ја гази и ке ја измачува.

24. А десетте рогови значат дека од тоа царство ќе се кренат десет цареви и потоа ќе се појави друг, поинаков од поранешните и ќе ги покори трите цара.
25. И против Севишниот ќе зборува и ќе ги угнетува светиите на Севишниот; дури ќе си помисли да ги измени времињата нивни и закони, па и тие да бидат предадени во раката негова за време и за времиња и за половина време.
26. Потоа ќе седнат судиите и ќе ја одземат од него власта да погубува и да истребува до крај,
27. а царството и власта и царското величие по целиот поднебесен свод ќе му се даде на народот од светиите на Севишниот, чие царство е царство вечно и сите големодостојници ќе му служат и ќе му се покоруваат нему.'
28. Тука е крајот на овој збор. Мене, Даниила, силно ме возмутија размислувањата мои, и лицето ми се измени, но словото го запазив во срцето свое.

Глава 8

1. Во третата година од царувањето на царот Валтазар, јас Даниил, имав второ видение по оние што ми се беа јавиле порано.
2. И видов во видението, и кога гледав, јас бев во Суза, престолнината на Еламската област, и видов во видението како да бев при реката Улај.
3. Ги кренав очите и видов: а таму при реката стои еден овен: тој имаше два рога и рогови високи, но едниот беше повисок од другиот и повисокиот се извиши подоцна.
4. Видов како тој овен бодеше кон запад, кон север и кон југ и ниеден ѕвер не можеше да устои против него, и никој не можеше да се избави од него; тој вршеше што сакаше и се осили.
5. Со внимание го гледав тоа и ете, од запад идеше еден козел, кој ја изоди целата земја, не допирајќи се до неа; и тој козел имаше знаменит рог ме у очите свои.
6. Се впушти врз оној овен што имаше рог и кога го видов како стои крај реката, тој се фрли врз него со силна јарост.
7. И видов кога тој се приближи до овенот, свирепи се фрли на него и му ги скрши двата рога; и на овенот не му стигаа силите да устои против него, па затоа го кутна на земја и го згази, и немаше никој овенот да го избави од него.
8. Тогаш козелот многу се возгордеа; но кога се засили, големиот рог му се скрши и на тоа место му изникнаа четири, свртени спрема четирите ветра небесни.
9. И од едниот од нив излезе среден рог, кој нарасна многу спрема југ и спрема исток и спрема убавата страна,
10. па се издигна до небесната војска, собори на земјата дел од таа војска и од ѕвездите и ги смачка;
11. се издигна дури и над Водачот на таа војска, Му ја одзеде секојдневната жртва и го урна местото на Неговата светиња;
12. и војската беше предадена заедно со секојдневната жртва поради бесчестието; а тој, откако ја собори вистината на земајта, дејствуваше и успеваше.
13. И чув еден од светиите да зборува, и тој светија му рече на еден кој прашуваше: 'До кога ке трае тоа видени за секојдневната жртва и за бесчесното опустошување, кога светлината и војската беа стапкани?'
14. И ми рече: 'Две иљади и триста вечери и утрини; и тогаш светилиштето ке се очисти.'
15. И кога јас, Даниил, го гледав тоа видение и замолив за неговото значење, ете пред мене застана некаков лик на човек.
16. И чув од средината на Улај човечки глас, кој извика и рече: 'Гавриилe, објасни му го тоа видение!'
17. И се приближи тој до местото каде што стоев и кога дојде, јас се уплашив и паднав ничкум; а тој ми рече - знај сине човечки дека видението се однесува на крајот од времето.
18. И кога зборуваше тој со мене, јас лежев ничкум на земјата без чувства; но тој се допре до мене и ме постави на моето место,
19. па ми рече: 'Еве ти откривам што ке биде во последните денови на гневот; зашто тоа се однесува на крајот од определеното време.
20. Овенот со двата рога што ги виде тоа се мидијскиот цар и персиskiот.
21. А косестиот козел е царот на Грција, додека големиот рог што се нао а ме у неговите очи, тој е нејзиниот прв цар:
22. тој е здробен и место него излегоа други четири: тоа се четирите царства што ке се издигнат од тој народ, но не со негова сила.
23. А кон крајот на царството нивно кога отстапниците ке ја исполнат мерката на своите беззаконија, ке се издигне еден цар бесремен и искусен во сплеткарење;
24. неговата мок ке се зацврсти, иако не со неговата сила; тој ке врши чудни пустошења и ке успева, ке дејствува и ке погубува јунаци и народи на светиите;
25. со умот негов ке напредува и сплеткарството во раката негова; во срцето ке се возгордее и

во мирно време ке погуби мнозина; тој ке се крене против Кнезот над кнезовите, но ке биде победен - не со рака.
26. А видението за вечерта и утрината за кое ти се рече е вистинско, но ти сокри го тоа видение оти се однесува на далечни времиња.'
27. Јас, Даниил, истоштен и болен бев неколку дни, потоа станав и почнав да се занимавам со царските работи; се чудев на тоа видение и не го разбирав.

Глава 9

1. Во првата година од царувањето на Дариј, синот на Асуира, од мидијски род, кој беше поставен за цар над халдејското царство,
2. во првата година на неговото царување, јас, Даниил, го разбрав според книгите бројот на годините за словото што беше му го кажал Господ на Јеремија, дека седумдесет години ќе се навршат над опустошениот Ерусалим.
3. И го свртев лицето свое кон Господа Бога со молитва и со молба, во пост, во кострет и пепел.
4. И му се молев на Господа мојот Бог, се исповедам и Му реков: 'Те молам, Господи, Боже Велики и чудесен, Кој пазиш на заветот и имаш милост за оние кои Те сакаат и кои ги пазат Твоите заповеди!
5. Згрешивме, постапивме беззаконо, дејствуваме нечесно, се противевме и отстапивме од Твоите заповеди и од Твоите наредби
6. и не ги слушавме Твоите слуги, пророците, кои им зборуваа од Твое име на царевите наши и на достоинствениците наши, на татковците наши и на сиот народ од земјата.
7. Во Тебе, Господи, има правда, а во нас - срам на лицата, како што е денес кај секој Јудеец, при жителите на Ерусалим и во сиот Израил, и кај ближниот и кај далечниот, по сите краишта каде што си ги прогонил заради нивното отстапиништво, со кое отстапија од Тебе.
8. Господи, кај нас на лицата наши има срам, при царевите наши, при кнезовите наши и при татковците наши, зашто згрешивме пред Тебе.
9. А при Господа, нашиот Бог, има милосрденост и проштевање, бидејќи ние станавме против Него
10. И не го слушавме гласот на Господа, нашиот Бог за да постапиме според Неговите закони што ни ги дава преку своите слуги - пророците.
11. И сиот Израил го престапи Твојот закон и се одврати за да не го слуша Твојот глас; па затоа врз нас се излеа проклестство и клетва, што се напишани во законот Мојсеев, слугата Божји; оти згрешивме пред Него.
12. И Он ги изврши зборовите Свои што ги кажа против нас и против нашите судии, кои не судеа, испраќајќи против нас голема беда каква што немало под небесата и каква што се извршува над Ерусалим.
13. Како што е напишано во законот Мојсеев, така не постигна сето тоа зло; но не го молевме Господа, нашиот Бог, за да се ослободиме од беззаконијата свои и да ја разбереме Твојата вистина.
14. Господ внимаваше над тоа зло и го испрати врз нас; оти праведен е Господ нашиот Бог во сите Свои дела што ги врши, но ние не го слушавме гласот Негов.
15. И сега, Господи, Боже наш, Ти што го изведе народот Свој од земјата Египетска со силна рака, Ти ја покажа славата Своја како денес; згрешивме, постапивме нечесно.
16. Господи, по сета Твоја правда нека се одврати гневот Твој и негодувањето Твое од Твојот град, Ерусалим, од Светата Твоја Гора; зашто за гревовите наши и за беззаконијата на татковицте наши Ерусалим и народот Твој е поруган, кај сите, што не опкружуваат.
17. А сега чуј ја, Боже наш, молитвата на Твојот слуга и неговото молење, па заради Тебе, Господи, погледај со светлото Твое лице на опустошеното Твое светилиште.
18. Приклони го, Боже мој, увото Свое и послушај, отвори ги очите Свои и погледај ги нашите пустоши и градот, над кој се призива името Твое; оти ние ги принесуавме молењата свои пред Тебе, надевајќи се не на нашата праведност, туку на Твојата голема милосрдност.
19. Чуј Господи, Господи прости ни, Господи погледај и изврши, не забавај поради самиот Тебе, Боже мој, зашто името Твое се призива над Твојот град и над Твојот народ!'
20. Додека зборував и се молев и ги исповедав гревовите свои и гревовите на мојот народ Израилот и ја принесував молбата своја пред Господа, мојот Бог, за светата Гора на мојот Бог,
21. додека ја продолжував молитвата, човекот Гавриил кого го бев видел во поранешното

видение, долета брзо, се допре до мене во времето на вечерната жртва,
22. ме вразуми, говореше со мене и рече: 'Данииле, сега излегов за да те научам да разбираш.
23. Во почетокот на твоето молење се појави твојот збор и јас дојдов да ти го соопштам, зашто ти си човек сакан; па така, внеси се во зборот и разбери го видението.
24. Седумдесетте седмици се определени за твојот народ и за светиот твој град за да биде покриен престапот, за да бидат запечатени гревовите и избришани беззаконијата, за да биде доведена вечната правда, за да биде запечатено секое видени и пророк и да биде помазан Светиот на светиите.
25. И така, знај и разбери: од времето кога излезе законот за обновување на Ерусалим, до Христа Владиката се седум седмици и шеесет и две седмици; и ке се врати народот и одново ке се изградат улици и ѕидовите, но во тешки времиња.
26. И по шеесет и двете седмици Христос ке биде предаден на смрт и суд нема да има: а градот и светилиштето ке бидат разрушени од народот на водачот што ке дојде, и крајот ке му биде како од поплава, и до крајот на војната ке има опустошување.
27. И во една седмица ке го потврди заветот за мнозина, а во половината на седмицата ке престане жртвата и приносот, а на крилото од светилиштето ке настапи мерзост на запустувањето и крајот на предопределената погибел ке го постигне опустошителот.'

Глава 10

1. Во третата година на персискиот цар Кир би откровение до Даниила, кој се викаше Валтазар, и вистинско беше тоа откровение и со голема сила. Тој го разбра тоа откровение и го објасни тоа видение.
2. Во тие дни јас, Даниил, бев тажен цели три седмици.
3. Вкусен леб не јадев; месо и вино не влезе во устата моја, и масла не употребив, додека не завршија трите седмици.
4. А во дваесет и четвртиот ден од првиот месец, се најдов покрај брегот на големата река Тигар;
5. ги кренав очите угоре и видов: ете еден човек, облечен во ленена облака, а крстот му беше препашан со злато од Уфаз.
6. Телото негово изгледаше како топаз, лицето - како светкавица - очите му беа како запалени светила, рацете негови и нозете негови изгледаа како сјаен бакар и гласот на зборовите негови како глас на многу лу е.
7. И само јас едниот, Даниил, го видов тоа видение, а лу ето што беа со мене не го видоа тоа видение; но страв голем ги обзеде, и тие избегаа за да се сокријат;
8. Останав сам и го гледав тоа големо видение, но во мене не остана сила и видот на лицето мое се измени многу, не остана во мене бодрост.
9. И го чув гласот на зборовите негови; и штом го чув гласот на зборовите негови, ненајдено паднав ничкум и лежев со лицето кон земјата.
10. Но ете, рака една се допре до мене и ме исправи на колената мои и на дланките од рацете мои.
11. Па ми рече тој: 'Данииле, сакани човеку, задалабочи се во зборовите што ке ти ги кажам, и исправи се на нозете свои, зашто при тебе сум денеска испратен.' Штом ми ги кажа тие зборови, јас станав растреперен.
12. Но тој ми рече: 'Не бој се Данииле! Од привиот ден кога го управи срцето свое за да постигнеш разбирање и да се смириш пред твојот Бог, зборовите твои беа примерни, и јас сакав да дојдам според зборовите твои.
13. Но кнезот на персиското царство стоеше спроти мене дваесет и еден ден; а тоа е Михаил, еден од првите кнезови, дојде да ми помогне и јас останав таму при персискиот цар.
14. А сега дојдов да ти соопштам, што ке се случи со твојот народ во последните времиња, зашто видението се однесува кон далечни дни.'
15. Додека ми зборуваше такви зборови, паднав ничкум на земјата и онемев.
16. Но ете, ете еден сличен на синовите човечки се допре до усните мои и јас ја отворив устата своја, почнав да зборувам и му реков на оној што стоеше пред мене: 'Господаре мој, од ова видение утробата во мене се преврте и во мене не остана сила.
17. Па како може слугата Твој Господи, да зборува со мојот Господар? оти во мене нема сила, и дишењето мое запрело.'
18. Тогаш пак се допре до мене тој човечки образ, ме поткрепи
19. и рече: 'Не бој се, сакан човеку, мир да имаш; охрабри се, охрабри се!' и кога зборуваше тој со мене, јас се закрепив и реков: 'Зборувај Господи мој, зашто ти ме поткрепи.'
20. И тој ми рече: 'Знаеш ли зошто дојдов при тебе? сега ке се вратам за да се борам со персискиот кнез; а штом ке излезам јас, ке дојде грчкиот кнез.
21. Но јас ке ти соопштам што е напишано во вистинското писмо; и нема никој друг, што ке ми помогне во тоа, освен Михаил, вашиот кнез.'

## Глава 11

1. И така, од првата година на Мидјанинот Дариј јас му станав помошник и поткрепа.
2. Сега ќе ти ја кажам вистината: еве, уште тројца цареви ќе се издигнат во Персија; потоа четвриот ќе ги надмине сите со големо богатство, и кога ќе го намножи богатството свое, ќе ги крене сите против грчкото царство.
3. Потоа ќе се појави силен цар, кој ќе владее со гоелма власт и ќе дејствува според својата волја.
4. Но, кога ќе се издигне тој, царството негови ќе се сруши и ќе се раздели на четирите ветра небесни и нема да помине на неговите потомци, и не со таква власт, со која тој господареше; затоа што царството негово ќе се растури и ќе падне на други, а не на нив.
5. И јужниот цар ќе се засили, и еден од кнезовите негови ќе стане посилен од него и ќе владее, и власта негова ќе биде голема.
6. Но по неколку години тие ќе се спријателат и ќерката на јужниот цар ќе дојде при северниот цар за да ги среди правилно односите поме у нив; но таа нема да ја задржи силата во рацете свои, и нема да го оддржи нејзиниот род, туку тие ќе бидат предадени, како таа, така и оние, што ќе ја придружуваат; и родениот од неа, како и оние што и помагале во тоа време.
7. Но ќе се издигне фиданка од коренот нејзин, ќе дојде при војската, ќе влезе во тврдините на северниот цар, ќе дејствува во нив и ќе се засили.
8. Дури и боговите нивни, идолите нивни заедно со скапите садови, сребрени и златни, ќе ги однесе како плен во Египет и неколку години ќе владее посилно од северниот цар.
9. И тој, ако и влезе во царството на јужниот цар, пак ќе се врати во земјата своја.
10. Потоа, ќе се вооружат синовите негови и ќе соберат многубројна војска; а еден од нив брзо ќе замине, ќе поплави и ќе замине, и потоа враќајќи се, ќе се бори со него до тврдината негова.
11. И јужниот цар ќе се налути, па ќе излезе да се удри со него, со северниот цар, и ќе изведе голема војска и војската ќе биде предадена во рацете негови.
12. Тогаш војската ќе се охрбри, и срцето на царот ќе се зарадува; тој ќе собори многу илјади, но со тоа нема да стане посилен,
13. бидејќи северниот цар ќе се врати и ќе изведе повеќе војска од поранешната и по неколку години ќе дојде со голема војска и со големо богатство.
14. Во тоа време мнозина ќе станат против јужниот цар, и бунтовниците ме у синовите на твојот народ ќе се кренат, за да се исполни видението, и ќе паднат.
15. И ќе дојде северниот цар, ќе направи опкоп и ќе го завладее укрепениот град, и нема да се додржат мишките на југ, ниту негоавта избрана војска: ќе нема сила да се спротивствати.
16. И кој ќе излезе во пресрет, ќе дејствува според неговата волја и никој не ќе може да устои пред него; и живеалиштето свое ќе го псотави во славната земја, и таа ќе настрада од раката негова.
17. И ќе науми да навлезе во царството свое со сите сили, а и праведните со него, и ќе го направи тоа; и ќе му даде ќерка од жените свои за жена, за да го погуби, но таа намера нема да се исполни, и тој не ќе има никаква корист од тоа.
18. Потоа ќе го сврти лицето свое кон островите и ќе завладее многу од нив; но еде водач ќе го прекрати нанесениот срам од него и дури својот срам ќе го префрли врз него.
19. Потоа ќе го сврти лицето свое кон тврдините на својата земја, но ќе се сопне, ќе падне и нема да ги освои.
20. На негово место ќе се издигне друг што ќе прати даночник за да мине по царството на славата. Но и тој по неколку дни ќе загине, и тоа не од востание, ниту во бој.
21. А на негово место ќе се издигне презрениот, и нема да му дадат царски почести; но тој ќе дојде без шум и со лаги ќе го освои царството.
22. И напа ачите ќе бидат потопени и победени од него, дури и кнезот со кого се поврзал.

23. Оти, откако стапи во сојуз со него, тој ке дејствува со измама и ке се искачи и ке се одржи на врвот со малку народ.
24. Тој ке влезе во мирни и плодни краишта и ке го изврши она што не го правеле татковците негови и татковците на татковците негови; пленот, заграбениот имто и богатството ке го троши како свое и за тврдините ке помислува, но само за некое време.
25. Потоа ке се охрабри духот негов и со многубројна војска ке се крене против јужниот цар; јужниот цар ке излезе во војна со голема и уште посилна војска, но нема да се додржи, оти против него ке има сплетки.
26. Дури и оние што јадат леб со него ке му станат убијци, и војската ке му се распушти, па така многумина ке паднат убиени.
27. Во срцето на двата цара ке има сплетки, и ке седнат на една трпеза и ке зборуваат лага, но нема ништо да се случи, зашто крајот е одложен до определеното време
28. и така ке се врати тој во својата земја со големо богатство и со непријателска замисла против светиот завет, и ке го исполни и ке се врати во земјата своја.
29. Во определеното време тој пак ке појде против југ, но последниот поход нема да биде како поранешниот,
30. бидејки истовремено со него ке дојдат китимските кораби, ке ослаби со духот и ке се врати, ке се озлоби против светиот завет и ке ја изврши својата намера и пак ке се договори со отстапниците од светиот завет.
31. И ке постави определен одред војска што ке го осквернува светилиштето на силата, ке ја укине секојдневната жртва и ке постави мерзост на запустување.
32. Со лукавство ке ги привлече кон себе оние што псотапуваат нечесно против заветот; но лу ето кој Го почитуваат својот Бог, ке се засилат и ке дејствуваат.
33. И разумните од народот ке вразумуваат мнозина, макар и некое време да страдаат од меч и оган, од ропство и грабеж.
34. И во времето на страдањето свое ке имаат извесна помош и мнозина ке се присоединат кон нив, но дволично -
35. и од разумните некои ке пострадаат за да ги испитаат, очистат, и обелат за последното време, зашто уште има време до рокот.
36. И ке постапува тој цар според својата воља, ке се крене и ке се возвеличи повисоко од секое божество, ке почне да хули на Бога над боговите и ке успева, се додека не се исполни гневот; зашто, она што е предопределено, тоа и ке се изврши.
37. За боговите на татковците свои нема ни да помисли, ни желба за жени нема да има, дури ни никакво божество нема да уважува, бидејки ке се возгордее погоре од сите.
38. Но ке укажува почест на бога што татковците негови не го знаеле, ке го чести со злато и сребро и драгоцени камења, место Бога кој е најсилен.
39. И ке изгради силна тврдина со ту бог: на оние, што ке го признаваат, ке им ги зголемува почестите и ке им дава власт над мнозина и земја ке раздава како награда.
40. Кон крајот на времето јужниот цар ке се судри со него и северниот цар ке се впушти како бура врз него со коли, коњаници и многубројни кораби, ке нападне на областите, ке ги поплави и ке мине преку нив.
41. И ке влезе во најубавата земја, а многу области ке пострадаат, од раката негова ке се спасат само Едом, Моав и голем број од синовите Амонови.
42. Ке ја протегне раката своја врз разни земји; нема да се спаси ни земјата Египетска.
43. Ке освои златни и сребрени ризници и разни скапоцени работи од Египет; Ливијците и Етиопјаните ке тргнат по него.
44. Но гласовите од исток и од север ке го смутат, па тој ке излезе со најголема јарост за да истребува и погубува мнозина,
45. и ке ги распне царските шатори ме у морето и горета на преславното светилиште; но ке му дојде крајот, и никој нема да му помогне.

Глава 12

1. И во тоа време ке се крене Михаил, големиот кнез, кој ке ги брани синовите на твојот народ, и ке настане време тешко, какво што немало откако постојат лу ето, па се до денес; но ке се спасат во тоа време од твојот народ сите, кои ке се најдат дека се запишани во книгата.
2. И многумина од оние што спијат во земниот прав ке се разбудат - едни за живот вечен, а други за укор и срам.
3. И разумните ке сјајат како светила на небото, и оние што мнозина повратиле кон правда - како ѕвездите, во веки, засекогаш.
4. 'А ти, Данииле, сокри ги овие зборови и запечати ја оваа книга до последното време; мнозина ке ја прочитаат и знаењето ке се умножи.'
5. Тогаш јас, Даниил, погледав и ете пред мене стојат двајца други, еден од едната страна на реката, а друг од другата страна на реката.
6. Едниот му рече на човекот со ленена облака кој стоеше над реката: 'Кога ке биде крајот на овие чудни работи?'
7. И чув, кога човекот со лeнената облека, што се нао аше над реката, откако ја крена десната и левата рака кон небото, се заколна во вечно Живиот, дека сето тоа ке се изврши кон крајот на времето и времињата и полувремето и по завршувањето снемување сила на светиот народ.
8. Јас го чув тоа но не го разбрав, па затоа прашав: 'Господаре мој, што ке биде потоа?'
9. Тој одговори: 'Оди си Данииле, оти тие зборови се сокриени и запечатени до последното време.
10. Многумина ке се очистат, ке се избелат и ке бидат искушани; нечестивете ке почнат пак нечесно, и никој од нив нема тоа да го разбере, само мудрите ке разберат.
11. Од времето, кога ке се прекрати секојдневната жртва и ке се постави мерзоста на запустувањето, ке минат иљади и двесте и деведесет денови.
12. Блажен е оној што чека и ке дочека иљада и триста и триесет и пет дена.
13. А ти оди си во својот крај, па ке се успокоиш, и ке останеш да го добиеш својот дел со жреб до крајот на своите дни.'

Осија

Глава 1

1. Слово Господово што беше упатено до Осија, во деновите на јудејските цареви Озија, Јоатама, Ахаза, Језекија и во деновите на Израилскиот цар Јеровоам, синот Јоасов.
2. Почеток на словото Господово до Осија. Му рече Господ на Осија: 'Оди и земи жена блудница, па роди деца во блудство; зашто оваа земја многу блудствува, откако отстапи од Господа.'
3. И тој отиде и ја зеде Гомер, керката на Давлаима, која зачна и му роди син.
4. Тогаш Господ му рече: 'Стави му има Језраел, зашто уште малку и Јас ке му се одмаздам на Јујневиот дом за крвта пролеана во Језраелот и ке го укинам царството на Израилот,
5. и во тој ден ке го поразам лакот на Израилот во долината Језраел.'
6. Таа пак зачна и роди керка, и Он му рече: 'Именувај ја Лорухама, зашто Јас веке нема да го помилувам домот Израилев, и да им проштевам.
7. А домот Јудин ке го помилувам и ке ги спасам преку нивниот Господ Бог, не со лак, ниту со меч, ни со војска, ниту со коњи и коњаници.'
8. Потоа, откако ја одби од доење, одново зачна и роди син.
9. И му рече Он: 'Наречи го со името Лоам, зашто вие не сте Мој народ, и Јас нема да бидат ваш Бог.
10. Но бројот на синовите Израилеви ке биде како песокта морска, кој не ке може ни да се измери ниту да се изброи; и место да им речат - вие не сте Мој народ - ке им се рече - вие сте синови на живиот Бог.
11. И ке се соберат синовите Јудини и синовите Израилеви заедно и ке си постават еден старешина и ке излезат од земјата, зашто голем е денот на Језраелот.'

Глава 2

1. Речете им на браката свои: ‘народ Мој‘ и на сестрите свои ‘помилувана.‘
2. Судете се со својата мајка, расправајте се; зашто таа не е Моја жена, и Јас не сум и маж нејзин; нека го отфрли блудството од лицето свое и прељубодејството од градите свои, за да не ја сотрам,
3. за да не ја соблечам гола и да не ја покажам како во денот на нејзиното ра ање, и да не ја направам пустелија, за да не ја претворам во сува земја и да не ја усмртам со жед.
4. И децата нејзини нема да ги помилувам, зашто тие се деца од блудство.
5. Бидејки мајката нивна блудствуваше, се осрамоти онаа, која ги зачна, зашто си велеше - ке тргнам по милениците свои, кои ми даваат леб и вода, волна и лен, елеј и пијалок.
6. Ете, затоа Јас ке и го препречам патот нејзин со трње и ке ја заградам со ограда, и таа не ке може да ги најде патеките свои;
7. ке се впушти по милениците, но нема да ги стигне; ке ги бара, и нема да ги најде; и ке си рече: ке се вратам и ке појдам кај првиот маж; оти тогаш ми беше подобро, отколку сега.
8. А таа не знаеше дека Јас и давав жито, вино и елеј и и го зголемував среброто нејзино и златото, од кое му направија идол на Ваала.
9. Затоа ке го повратам житото Свое, и виното Свое, кога за тоа ке му дојде времето и ке ја одземам волната Своја и ленот Свој, со што се покрива голотијата нејзина.
10. И сега ке ја откријам срамотијата нејзина пред очите на нејзините миленици, и никој не ке ја отме од раката Моја.
11. И ке укинам при неа секаква веселба, празниците и новомесечијата нејзини, и саботите и сите нејзини прослави.
12. И ке ги запустам лозјата нејзини и смоквите, за кои таа беше рекла: ‘тоа ми се подароци, со кои ме даруваа милениците мои;‘ и Јас ке ги претворам во шума, и полските животни ке ја изедат.
13. И ке ја казнем за деновите поминати во служење на Вааловците, кога им кадела и ги кителa со обетки и гривни, одела по милениците свои а Мене Ме заборавила, вели Господ.
14. Поради тоа Јас ке ја измамам и ке ја одведам во пустиња, па ке му зборувам на нејзиното срце.
15. И ке и ја дадам оттаму лозата нејзина и долината Ахор како трем на надеж; и таму таа ке пее како во деновите на својата младост и како во денот кога излезе од Египетската земја.
16. И во тој ден, вели Господ, ти ке Ми велиш - мажу мој, и нема повеке да Ми велиш - Ваалу мој.
17. И ке ги премавнам од устата нејзина имињата на Вааловците, и нема повеке да се спомнува името нивно.
18. И во тоа време поради нив ке склучам сојуз со животните полски, со птиците небески и со лазачите по земјата; а лак, и меч, и војна ке истребам од таа земја, и ке им дозволам да живеат во безопасност.
19. И ке те свршам за Себе вечно, и ке те свршам за Себе во правда и суд, во благослов и милосрдност.
20. И ке те свршам за Себе во верност и ти ке Го познаеш Господа.
21. И во тој ден Јас ке чујам, вели Господ, Јас, ке го чујам небото, и тоа ке ја чуе земјата,
22. и земјата ке го чуе житото и виното и елејот; а тие ке го чујат Језраела.
23. И ке ја посеам за Себе на земјата, и ке ја помилувам непомилуваната и ке му речам на не Мојот народ: 'ти си Мој народ', а тој ке рече: 'Ти си мој Бог!'

Глава 3

1. Потоа Господ ми рече: Оди и засакај ја жената, која ги сака злото и прељубата, како што Господ ги сака синовите Израилеви, а тие гледаат по ту и богови и ги сакаат нивните питки од грозје.
2. Ја придобив за петнаесет сребреници и за гомер и полугомер јачмен;
3. па и реков: Остани при мене повеке денови; не блудствувај и не оди со други; а и јас ке бидат само со тебе.
4. Зашто синовите Израилеви ке останат долго време без цар, без кнез и без жртви, без жртвеник, без ефод и без јавување.
5. Потоа синовите Израилеви ке се повратат и ке Го побараат Господа, својот Бог, и Давида, својот цар, ке се чудат пред Господа на Неговата благост во последните дни.

Глава 4

1. Чујте го словото Господово, синови Израилеви; зашто Господ ке им суди на жителите од оваа земја, оти нема ни вистина, ни милосрдие, ниту знаење за Бога на земјата.
2. Клетва и измама, убиство, кражби и прељубодејства многу се распространија, и крвта со крв се измешува.
3. Затоа таа земја ке се расплаче, и ке се истоштат сите, што живеат на неа, заедно со полските животни и птиците небески; дури и рибите во морето ке загинат.
4. Но никој да не се преправа и никој никого да не обвинува; и твојот народ е како оние што спорат со свештеникот.
5. Ти ке паднеш дење, и со тебе пророкот ке падне ноке, а Јас ке ја погубам твојата мајка.
6. Мојот народ се оприличил на тие што немаат знење, зашто ти си отфрлил знаење, и јас ке те отфрлам од свештенодејството пред Себе; бидејки го заборави законот на својот Бог, и Јас ке ги заборавам децата твои.
7. И колку повеке се размножуваат, толку повеке и грешат против Мене; затоа славата нивна ке ја претворам во бесславие.
8. Тие се хранат со гревовите на Мојот народ, и кон беззаконијата негови се стеми душата нивна.
9. И што ке стане со народот, тоа ке се случи и со свештеникот; ке го казнам според патиштата негови и ке му платам според делата негови.
10. Ке јадат - и нема да се наситуваат; ке блудствуваат и нема да се размножуваат, оти престанаа да Му служат на Господа.
11. Блудството, виното и пијалоците ги овладеале срцата нивни.
12. Мојот народ го прашува дрвото, и неговиот жезал му дава одговор; зашто духот на блудството ги вовел во залуда, па блудствувајки, тие отстапија од својот Бог.
13. Принесуваат жртви по планинските врвови и по ридовите кадат под даб, топола и брест, оти тие имаат добри сенки; затоа керките ваши блудствуваат, а снаите ваши прељубодејствуваат.
14. Нема да ги казнувам керките ваши кога блудствуваат, и снаите ваши кога прељубодејствуваат, оти вие самите сте блудници и со миленици принесувате жртви, а простиот народ гине.
15. Ако ти, Израиле, блудствуваш, Јуда барем да не грешеше; и не одете во Галгал, не влегувајте во Бет - Авен и не колнете се со клетвата: жив е Господ!
16. Израилот е упорен како упорна јуничка; па ке ги пасе ли затоа Господ како јаганца на широка ливада?
17. Ефрем се поврзал со идолите; остави го!
18. Одвратно е пијанството нивно; наполно се предале на блудство; нивните кнезови сакаат се што е срамно.
19. Ветрот ке ги притегне со крилјата свои, и тие ке се засрамат од жртвите свои.

Глава 5

1. Чујте го ова свештеници, и внимавај ти, доме Израилев, и приклони го увото, доме царев, оти вам ке ви се суди, зашто бевте замка во Масифа и оптегната мрежа во Тавор.
2. Длабоко потонаа во расипаност, но Јас ке ги казнам сите нив.
3. Ефрема Јас го познавам, но и Израилот не е сокриен од мене; оти и ти блудствуваш, Ефреме, а ти, Израиле, се оскверни.
4. Делата нивни не ги оставаат да се обрнат кон својот Бог, оти блудството нивно, е внатре во нив, па затоа и Господа не Го познаваат.
5. И гордоста на Израилот е понизена во очите нивни; затоа и Израил и Ефрем ке паднат поради беззаконијата свои; а ке паде и Јуда со нив.
6. Со овците свои и со воловите свои ке тргнат да Го бараат Господа и нема да Го најдат; Он се оттргнал од нив.
7. Тие го изневерија Господа, зашто изродија ту и деца; и сега новата месечина ке ги проголта заедно со имотите нивни.
8. Затрубете со рог во Гива, со труба во Рама, и викајте во Бет-Авен: 'По тебе, Венијамине!'
9. Во денот на казнувањето Ефрем ке стене пустиња; Јас го соопштив тоа ме у колената Израилеви.
10. Водачите на Јуда останаа како оние што преместуваат ме и; ке го излеам врз нив гневот Мој како вода.
11. Ете, Ефрем е угнетен, поразен е преку суд, оти посака да оди по суетни работи.
12. И ке биде како молец за домот на Ефрема и како црв за домот на Јуда.
13. Ја виде Ефрем болеста своја и Јуда раната своја; и тргна Ефрем кон Асур и прати по царот Јарим за да го брани; но тој не ке може да ве излекува, и нема да ви ја исцели раната ваша.
14. Оти Јас сум како лав за Ефрема и како лавче за домот на Јуда; Јас, Јас ке раскинам и ке си заминам; ке однесам и никој нема да ги спаси.
15. Ке тргнам и ке се вратам во Своето место, додека тие не признаат оти се виновни, и не го побараат лицето Мое.

Глава 6

1. Во болката своја тие од рано утро ке Ме бараат и ке велат: да одиме и да се вратиме кон Господа, зашто Он ке не рани, и Он ке не исцели, ке не порази - и ке ни ги преврзе раните наши;
2. ке не оживее за два дена, а во третиот ке не подигне, и ние ке живееме пред лицето Негово.
3. И така, сега да се стремиме да Го познаеме Господа; појавата Негова е како утрена зора, и Он ке дојде при нас како дожд; како доцен и ран дожд ке ја наполни земјата.
4. Што да ти направам, Ефреме? Што да ти направам, Јудо? Чесноста ваша е како утрена магла и како роса што брзо исчезнува.
5. Затоа Јас ги поразив преку пророците и ги биев со зборови од устата Своја, и судот Мој е како светлина што ке изгрева.
6. Оти Јас сакам повеке милост, а не жртва, и познавање на Бога, отколку жртва сепаленица.
7. А тие, како Адам, го нарушија заветот, и таму Ме изневерија.
8. Галад е град на беззаконици, испрскан со крв.
9. Како разбојници го дочекуваат човека така, здружени свештеници убиваат по патот за Сихем и вршат лоши работи.
10. Во домот Израилев гледам ужасни работи; таму Ефрем блудствува, Израилот се извалка.
11. И за тебе, Јудо, е определена жетва кога ке го повратам од ропството Мојот народ.

Глава 7

1. Додека го лекував Израилот, се откри неправдата на Ефрема и злодејанието на Самарија, оти тие лажат, и крадец се замешал, и разбојник граби по улиците.
2. И не помислуваат во срцето свое дека Јас ги помнам сите нивни беззаконија; а сега ги обиколуваат нивните дела; пред лицето Мое се.
3. Со злодејанија го веселат царот свој и со лагите свои - кнезовите.
4. Од прељубодејство тие сите горат како печка вжарена од лебарот, кој престанува да ја угорува, штом ке го замеси тестото, и тоа скисне.
5. 'Денот е на царот наш!' - велат кнезовите, разгорени до болест од вино, а тој ја протега раката своја кон подбивачите.
6. Оти со сплетките свои тие го прават срцето свое слично на печка: лебарот нивни спие цела нок, а утрината таа гори како вжарена печка.
7. Тие сите се распалени како фурна и си ги голтаат судиите свои; нивните цареви па аат и никој од нив не вика кон Мене.
8. Ефрем се смешал со народите, и станал како пита непревртена.
9. Ту инци му ја одземаат силата негова, но тој не забележува, косата му побелела, а тој не знае.
10. И гордоста на Израилот е понизена во очите нивни - и покрај сето тоа не се обрнаа кон Господа, својот Бог, и не го побараа.
11. А Ефрем стана како глупав гулаб - без срце: ги повикуваат Египтјаните, одат во Асирија.
12. Каде и да појдат, Јас ке ја фрлам мрежата Своја врз нив; како птици небески ке ги кутнам; ке ги казнам, како што беше речено во нивното собрание.
13. Тешко нив, оти отстапија од Мене; погибел за нив, зашто се одметнаа од Мене. Јас ги спасував, а тие изрекуваа лага против Мене.
14. А не повикаа кон Мене од се срце, кога пискаа по леглата свои; ридаа на своите постели заради леб и вино, а од Мене отстапуваат.
15. Јас ги вразумував и ги утврдував мишките нивни, а тие замислија зло против Мене.
16. Тие се свртуваа, но не кон Севишниот.

Глава 8

1. Стави ја трубата на уста! Непријателот како орел ке налета на Домот Господов, оти тие го нарушија заветот Мој и го престапија законот Мој.
2. Ќе викаат кон Мене: 'Боже мој, ние Те познаваме; ние сме Израилот.'
3. Израил го отфрли доброто; затоа непријател ке го гони.
4. Си поставаа цареви свои, без Мене; си избираа кнезови, пак без Мене; од среброто свое и од златото свое направија идоли: оттаму е погибелта.
5. Те остави тебе телето твое, Самаријо; се распали гневот Мој против нив; до кога ли не ке можат да се исчистат оние што се во Израилот?
6. И него уметник го направил, тоа не е бог; затоа те мамеше телето твое, Самаријо.
7. Бидејки сееја ветар, бура ке пожнеат; житни стебленца со корен тој не ке има; зрното нема да даде брашно; ако, пак, и даде, ту инци ке го изедат.
8. Проголтан е Израилот; ме у народите сега е како негоден сад.
9. Тие отидоа при Асирецот како див осел, кој самотно скита; Ефрем со подароци придобиваше благонаклоност спрема себеси.
10. Па, иако пракаше дарови на народите, наскоро Јас ке ги соберам, и тие ке почнат да страдаат од царот и кнезовите;
11. оти Ефрем изгради многу жртвеници за грев - за грев и му послужија тие исти жртвеници.
12. Му напишав важни закони, но тој ги сметаше за ту и.
13. Во жртвените приноси Мене Ми принесуваат месо и го јадат; на Господа тие не му се угодни; сега Он ке се присети за нивното бесчестие и ке ги казни за гревовите нивни; тие ке се вратат во Египет.
14. Израил го заборави Создателот свој и си изгради идолски светилишта, а и Јуда изгради многу утврдени градови; но Јас ке испратам оган врз градовите негови - и тој ке му ги проголта дворците негови.

Глава 9

1. Не радувај се, Израиле, со преголема веселба како другите народи, оти блудствуваш, откако отстапи од својот Бог - и ги милуваш даровите од блуд по сите житни гумна.
2. Гумното и кацата нема да ги нахранат, а виното ке ги измами.
3. Тие нема веке да живеат во земјата Господова: Ефрем ке се врати во Египет и во Асирија ке јадат нечисто.
4. Нема да вршат преливи со вино за Господа, и неугодни ке Му бидат жртвите нивни; тие ке им бидат како леб на нажалени: по сите што ке го јадат, ке се осквернуваат, оти нивниот леб е само за душите нивни, а во домот Господов тој нема да се внесе.
5. Што ке правиш во деновите на собирите и во деновите на празникот Господен?
6. Оти сите ке си заминат поради запустувањето; Египет ке ги прибере, Мемфис ке ги погребе; нивните сребрени драгоцености коприви ке ги прекријат, во шаторите нивни ке има трнливи грмушки.
7. Дојдоа деновите на твојата казна, дојдоа деновите за отплата. Нека разбере Израилот дека е глупав престкажувачот, безумен е оној што изјавува оти е вдахновен, поради многуте беззаконија и големата омраза.
8. Ефрем е на стража до мојот Бог; пророкот е како мрежа за лов на птици по сите негови патишта; има соблазна во домот на неговиот Бог.
9. Многу ниско падна, останаа развратени како во деновите на Гива; но Он ке се присети за нивните беззаконија, ке ги казни за нивните гревови.
10. Како грозје во пустиња го најдов Израилот; како чувар на ран плод на смоква, ги видов Јас татковците нивни, но тие отидоа кај Ваалфегор и се оддадоа на срамни работи, па и самите станаа нечисти како оние, што ги беа засакале.
11. Славата на Ефрема ке одлета како птица; нема да има при нив ни ра ање, ни бременост, ниту зачнување.
12. Па макар и да одгледале деца свои, Јас ке ги одземам; оти тешко ним, кога ке се оттргнам од нив.
13. Ефрем, како што го видов Јас до Тир, се поставил на убаво место; но Ефрем ке ги изведе децата свои при убиец.
14. Дај им, Господи, а што да им дадеш? Дај им утроба, што не ра а, и - суви гради.
15. Сето зло им е во Галгал; таму ги замразив Јас поради нивните лоши дела; ке ги изгонам од Мојот дом, нема повеке да ги сакам; сите нивни кнезови се отстапници.
16. Поразен е Ефрем; се исуши коренот нивни - нема да принесуваат плод; ако и да родат, Јас ке го умртвам нивниот сакан плод во утробата нивна.
17. Ke ги отфрли Бог, оти тие не Го послушаа, па затоа ке бидат скитници ме у народите.

Глава 10

1. Израилот е рагранета лоза; колку повеке таа има плод, толку повеке се умножуваат жртвениците; колку му е подобра земјата, толку повеке се украсуваат идолите.
2. Разделено е срцето нивно, и затоа ке бидат казнети: Он ке ги разруши нивните жртвеници, ке ги здроби идолите нивни.
3. Сега тие велат: 'Немаме цар, зашто не се уплашивме од Господа, а царот - што ке ни прави тој?'
4. Зборуваат, даваат лажни завети, склучуваат сојузи; затоа над нив ке има суд, како треба отровна по браздите на нивните ниви.
5. За телето во Бет - Авен ке затреперат жителите на Самарија; ке заплаче за него народот негов, и жреците негови, кои се радуваа со него, ке плачат за славата негова, оти неа ке ја снема од него.
6. И тој самиот ке биде врзан и одведен во Асирија како дар на царот Јарим; посрамен ке биде Ефрем, и ке се засрами Израилот поради својот заговор.
7. Ќе го отфрли Самарија својот цар, како пена над вода.
8. И ке бидат истребени идолските светилишта на Авен, гревот Израилев; во трње и боцки ке обраснат жртвениците негови, па ке им речат на планините - покријте не, а на ридовите, паднете врз нас!
9. Повеке згреши, Израиле, отколку во деновите на Гива; таму тие опстојаа, војната во Гаваон против синовите на беззаконието не ги постигна.
10. По своја желба ке ги казнам; ке се соберат против нив народите, и тие ке бидат заробени поради двојниот нивни престап.
11. Ефрем е обучена јуничка, свикната да врши, и Јас Самиот на нејзиниот убав врат ке и ставам ам; па Ефрем ке влече, Јуда ке ора, а Јаков ке брани.
12. Сејте правда - па да пожнеете милост; разорувајте ја рамнината, оти време е да Го побарате Господа, и така Он, штом ке дојде, да ве одржи во правда.
13. Одгледавте беззаконие - ожнеевте нечестие, јадевте плод на лагата, оти ти се надеваше на својот пат, на многуте војници.
14. И ке се појави смут во твојот народ, и сите твои тврдини ке бидат разрушени, како што Салман го разруши Бет - Арабел во денот на битката: мајка биваше убивана заедно со децата.
15. Ете, така ке направам, доме Израилев, поради неправдата ваша.

Глава 11

1. Во рани зори ке загине царот Израилев. Кога Израилот беше млад, Јас го сакав и од Египет го повикав синот Свој.
2. Ги повикуваа, но тие ги одбиваа, принесуваа жртви на Вааловци и им кадеа на идолите.
3. Јас Самиот го учев Ефрема да оди, го носев на рацете Свои, а тие не сфакаа дека со тоа ги лекував.
4. Ги влечев со човечки врски, со врски на љубов, и Јас бев за нив како оној, што ја вади уздата од устата нивна, и кротко им подавав храна.
5. Тој нема да се врати во Египет; Асур - ке му биде цар, зашто тие не посакаа да се врати при Мене.
6. И меч ке падне врз нивниот град, ке ги уништи неговите заштитници, и ке ги проголта нивните намери.
7. Народот Мој е упорен во отпа ањето од Мене, макар и да беше навикнуван кон возвишено издигнување, тој сепак не се издигнува еднодушно.
8. Како да постапам со тебе, Ефреме? Како да те предадам, Израиле? Ке постапам со тебе како со Адама? Ке ти направам како што му направив на Севоим? Се возбуди срцето Мое во Мене, затрепери утробата Моја од жалост.
9. Нема да постапам според јароста на гневот Свој, и нема да го истребам Ефрема, оти Јас сум Бог, а не човек; кај тебе е Светиот; Јас нема да влезам во градот.
10. По Господа тие ке одат. Како лав ке го издигне Он гласот Свој, ке го пушти гласот Свој - и ке побрзаат кон Него синовите од запад,
11. ке полетаат од Египет како птици, и од Асирија - како гулаби, и ке ги населам во домовите нивни, вели Господ.

Глава 12

1. Ефрем Ме опкружил со лага, а домот Израилев со лукавство; но Јуда се уште се држеше за Бога, и верен беше со светиите.
2. Ефрем пасе ветар и трча кон источниот ветар, секој ден ја зголемува лагата и запустувањето, склучува сојуз со Асур, а во Египет прака елеј.
3. Но и со Јуда Господ ке има суд - и Он ке го посети Јакова по патиштата негови, и Ќе му даде според делата негови.
4. Уште во утробата мајчина тој го задржуваше брата си, а кога порасна, тој се бореше и со Бога.
5. Он се бореше против Ангел - и го победи; заплака и Го замоли; во Ветил Он не најде и таму зборуваше со нас.
6. А Господ е Бог Саваот; Јехова е името Негово.
7. Обрни се и ти кон својот Бог; биди милостив и правичен, и секогаш надевај се на твојот Бог.
8. Хананеецот има неверни мерила во раката своја и сака да онеправдува;
9. И Ефрем вели: 'Сепак се збогатив, насобрав многу имот, макар што во сите мои работи не можат да најдат ништо незаконско, што би било грев.'
10. Јас, пак, твојот Господ Бог уште од земјата Египетска, пак ке те населам да седиш во сеници како во деновите на празникот.
11. Јас им зборував на пророците и ги умножував виденијата, а и преку пророците се служев со споредувања.
12. Ако Галад стана Авен, тоа и тие станаа суетни, во Галгал колеа за жртви телци, а жртвениците им стоеја како купишта камења на ме ите од нивните ниви.
13. Избега Јаков на нивите сириски и Израил служеше за жена, а за жена и овци пасеше.
14. Преку пророк го изведе Господ Израилот од Египет и преку пророк Он го пази.
15. Ефрем многу Го разгневи Господа, па затоа Господ ке ја остави крвта негова на него, и ке му го врати срамот негов.

Глава 13

1. Кога Ефрем зборуваше, сите трепереа. Тој беше издигнат во Израилот; но беше згрешил со Ваала, а затоа загина.
2. А сега го умножи гревот: направија идоли излеани од сребро, онака како што сами ги разбираа - уметничка работа - па им велат на лу ето да принесуваат жртви и да ги целиваат телињата.
3. Поради тоа тие ке бидат како утрена магла, како роса, што брзо исчезнува, како плева што ветар ја однесува од гумното, како дим од димник.
4. Но Јас сум Господ, твојот Бог. Од земјата Египетска - и ти не треба да имаш друг Бог освен Мене, нема Спасител освен Мене.
5. Јас те познав во пустињата, во засушената земја.
6. Па, имајки пасишта, тие беа сити; а кога се заситуваа, срцето им се возгордуваше, и поради тоа Мене Ме забораваа.
7. И Јас ке бидам како лав за нив, како лавче што демне покрај пат.
8. Ќе напа ам врз нив како мечка, чии мечиња се грабнати: ке им ги истргнувам срцата нивни и ке ги изедам таму како лавица, полските ѕверови ке ги раскинуваат.
9. Ти пропа аш, Израиле, зашто само во Мене е твојата потпора.
10. Каде ти е сега царот? Каде се твоите судии, за кои велеше: 'дај ни цар и началници!'
11. Јас ти дадов цар во гневот Свој, но ти го одзедов во јароста Своја.
12. Врзано е беззаконието на Ефрема, останат е гревот негов.
13. Родилни маки ке претрпи; тој е неразбран син, инаку не би останал во положба на тукушто родено дете.
14. Од власта на пеколот ке ги откупам, од смртта ке ги избавам. Смрт - каде ти е силата? Каде ти е тебе, пеколу, победата? За тоа нема да се покајам.
15. Иако е Ефрем плоден ме у браката, но ке дојде источен ветар, ке се крене ветрот Господен од пустињата, и ке го пресуши изворот негов, тој ке го однесе богатството од сите сокровишта.
16. Опустошена ке биде Самарија, зашто се крена против својот Бог; од меч ке паднат тие, нивните младенци на камен ке бидат разбивани, а бремените жени ке бидат распарувани.

Глава 14

1. Обрани се, Израиле, кон Господа твојот Бог; зашто ти пропа аш поради своето беззаконие.
2. Подгответе се молитвено, и обратете се кон Господа и речете Му: 'Прости ни ги сите беззаконија наши и прими не добро, а ние ке принесеме жртва од устата наша.'
3. Асур повеке нема да не спасува; и нема повеке да јаваме на коњи и на своите уметнички творби да им велиме: 'О, богови наши; зашто само Ти си милосрден кон сираци.'
4. Ке го излекувам одметнувањето нивно, благонаклоно ке ги засакам, зашто гневот Мој се одврати од нив.
5. Јас ке бидам роса за Израилот; тој ке цвета како крин и ке пушти корења како дрвјата на Ливан.
6. Ке се рашират гранките негови, и убавината негова ке биде како убавина на маслина, и мирисот од него како мирис од Ливан.
7. Ке се вратат оние, кои седеа под неговата сенка, и ке имаат жито во изобилие - па ке цветаат како лоза, ке станат славни како виното ливанско.
8. Зошто ми се идолите уште - ке рече Ефрем. И Јас ке го чујам и милостивно ке погледнам на него; ке бидам како зелен кипарис: од Мене ке ти бидат плодовите.
9. Кој е мудар, нека го разбере ова; кој е разумен нека го познае тоа. Оти патиштата Господови се прави, и праведниците ке одат по нив, а беззакониците ке па аат на нив.

Јоил

Глава 1

1. Слово Господово до Јоила, синот Ватуилов.
2. Чујте го ова, старци, и внимавајте сите жители на оваа земја: се случувало ли ова во вашите денови или во деновите на вашите татковци?
3. Раскажувајте за него на децата ваши; а децата ваши нека им расакажуваат на нивните деца, и нивните деца - на следниот род;
4. се што остана од гасениците, го изедоа скакулците; а што остана од скакулците, го изедоа црвите; и што остана од црвите, го изедоа бубамарите.
5. Разбудете се пијаници, плачете и ридајте, вие сите што пиете вино, за сокот гроздов, зашто е одземен од устата ваша.
6. Зашто против земјата моја дојде народ силен и безброен; забите му се како заби на лав, а челустите како челуст на лавица.
7. Тој ми ја опустоши лозата, и смокватa ми ја откорна, ја обели до голо и ја фрли; гранките и останаа бели.
8. Плачи како што плаче млада жена, опашана со врекиште, за мажот од својата младост.
9. Се прекрати лебниот принос и преливот за него во домот Господен; плачат и свештениците, служителите Господови.
10. Опустошено е полето, тагува земјата, оти е уништено житото; се исуши гроздовиот сок, овенала маслината.
11. Црвенете се од срам, земјоделци, плачете лозари, за пченицата и за јачменот, оти нема веке жетва по нивите,
12. лозата се исуши, смокватa свена, нарот, палмата и јаболкницата - сите дрвја по полето се исушија; поради тоа и веселбата кај синовите човечки исчезна.
13. Препашете се со кострет, свештеници, и плачете; ридајте, служители на Светилиштето. Влезете и нокевајте, служители на мојот Бог, во кострет, зашто во Домот на вашиот Бог нема веке лебен принос и прелив.
14. Определете пост, објавете свечен собир, повикајте ги старците и сите жители од тој крај во домот на Господа, вашиот Бог - викајте кон Господа.
15. О каков ден! Оти денот Господен е близу; и ке дојде како запустување од Сесилниот.
16. Зар пред очите наши не се одзеде храната, и од домот на нашиот Бог - веселбата и радоста?
17. Изгниени се зрната во свите лушпи, запустени се житниците, урнати се амбарите, оти нема веке жито.
18. Ете, стенка добитокот, нажалени одат стадата волови, зашто нема за нив пасиште; се измачуваат и стадата овци.
19. Кон Тебе, Господи, викам, оти оган ги проголта сочните пасишта во пустињата, и пламен ги подгори дрвјата во полето.
20. Дури и животните во полето викаат кон Тебе, зашто секна водата по потоците, и оган ги изгори пасиштата во пустињата.

Глава 2

1. Трубете со труби на Сион и викајте на Мојата света гора; нека треперат сите жители земни, оти настапува денот Господен, бидејки е близу,
2. денот на темнина и мрак денот облачен и маглив: како зората ке се шири по горите многуброен народ и силен каков што немало од векот и каков што не ке има потоа од род во род.
3. Пред него оган ке голта, а зад него пламен ке пали; пред него е земјата како Едемска градина, за зад него земјата ке биде опустошена како пустиња, и за никого од него нема да има спас.
4. Изгледаат како коњи, потскокнуваат како коњаници,
5. скокаат преку горските врвови како со тропот од коли, како праскот од огнен пламен, кој гори слама - како силен народ построен за борба.
6. Штом ке се појави, ке затреперат народите; лицата на сите ке им побледат.
7. Како борци ке трчаат и како храбри борци ке се искачуваат по карпите, и секој ке си оди по својот пат и нема да се отстранува од патот свој.
8. И нема да се притискаат еден со друг, а ке па аат врз копја, но ке остануваат неповредени.
9. Kе трчаат по градот, ке се искачуваат по ѕидовите, ке влегуваат во куките, ке влегуваат и низ прозорците како крадачи.
10. Пред нив ке се потресе земјата, ке се расклати небото, сонцето и месечината ке потемнат, а и ѕвездите ке ја изгубат светлината своја.
11. И Господ ке го пушти гласот Свој пред Својата војска, зашто силата воинствена Негова е многу голема, и силен е оној што ке ја извршува вољата Негова; оти голем е денот Госпден и многу е страшен, и кој ке истрпи?
12. Но и уште сега вели Господ: обрнете се кон Мене од се срце со пост, плач и ридание.
13. Раскинете го срцата свои, а не облеката и обрнете се кон Господа вашиот Бог: зашто Он е благ и милосрден, долготрпелив и многумилостив и сожалува за злото.
14. кој знае дали нема да се смили и дали ке остави благослов: лебен принос и прелив за Господа, вашиот Бог?
15. Затрубете со труба на Сион, наредете пост и објавете свечен собир.
16. Соберете го народот, свикајте собир, поканете ги и старците, соберете ги децата и цицалчињата; нека излезе младоженицот од својата одаја и невестата од својата горна одаја.
17. Ме у тремот и жртвеникот нека плачат свештениците, служителите на Господа и нека велат: 'Смилувај се, Господи, над народот Свој, не предавај го наследството Свое на срам, та да не се подигруваат со него народите! Зошто ме у нив да се зборува - каде е нивниот Бог?'
18. Тогаш Господ ке поревнува за земјата Своја, па ке се смили и на народот Свој.
19. Тогаш ке одговори Господ и ке му рече на народот Свој: 'Еве, Јас ке ви пратам леб, вино и елеј, и ке се наситите со тоа, и нема повеке да ве предавам на поруга пред народите.
20. И непријателот од север ке го мавнам и ке го протерам во безводна и пуста земја - предната сила - во источното море, а задната - во западното море, и ке се крене омразата од него, и ке се почувствува смрдеа, зашто тој беше направил големо зло.
21. Не бој се, земјо; радувај се и весели се, зашто голем е Господ и може да го направи тоа.
22. Не бојте се ѕверови полски, зашто пасиштата на пустињата ке се наполнат со трева, дрвјата ке го дадат својот плод, смоквата и лозјата ке ја покажат својата сила.
23. А и вие, чеда Сионови, радувајте се и веселете се во Господа, вашиот Бог; оти Он ке ви дава умерен дожд, па ке ви прака дожд - дожд ран и дожд доцен, како и порано.
24. И ке се наполнат гумната со жито и ке се преполнат бочвите со гроздов сок и со елеј.
25. И ке ви надоместат за оние години, кога испојадоа се скакулците, црвите, бумбарите и гасениците - Мојата голема војска што ја пратив против вас.
26. И до наситка ке јадете и ке се наситувате и ке го славите името на Господа, вашиот Бог, Кој пред вас изврши големи чудеса, така што Мојот народ нема да се посрами довека.

27. И ке познаете дека Јас сум ме у Израилот и дека Јас сум Господ, вашиот Бог, и дека нема друг, и Мојот народ нема да се посрами довека.
28. И, ете, потоа ке излеам од Мојот Дух врз секоја плот, и синовите ваши и керките ваши ке пророкуваат; старците ваши ке сонуваат соништа и младите ваши ке гледаат виденија.
29. А и врз слугите и слугинките во оние денови ке излеам од Мојт Дух.
30. И ке покажам знаци на небото и на земјата: крв, оган и столбови од дим.
31. Сонцето ке се преобрати во темнина, а месечината - во крв, пред да настапи денот Господен, великиот и страшниот.
32. Тогаш секој, што ке го призовува името Господово, ке се спаси; бидејки на горoccurrence Сион и во Ерусалим ке има спасение, како што вели Господ, а и по другите места, што ке ги повика Господ.

Глава 3

1. Зашто, ете, во оние денови и во тоа исто време, кога ке ги вратам плениците на Јуда и од Ерусалим,
2. тогаш ке ги соберам сите народи и ке ги доведам во долината Јосафатова, и таму над нив ке изречам суд за Мојот народ и за Моето наследство - Израилот, кого го растурија ме у народите и земјата Моја ја разделија.
3. За народот Мој фрлија жреб и даваа момче за блудница, и продаваа девојче за вино, па пиеја.
4. Па што барате од Мене вие, Тире и Сидоне и сите краеви филистејски? Сакате ли да Ми отплатите или рака да Ми вратите? Но наскоро ке ја свртам отплатата ваша врз вашите глави,
5. бидејки вие го зедовте среброто Мое и златото Мое и Моите највредни драгоцености и ги внесовте во безбожнички светилишта;
6. а синовите на Јуда и на Ерусалим ги продавате на синовите елински, за да ги отстраните од нивните предели.
7. Еве, Јас ке ги кренам од она место, каде што ги продадовте, и ке ја свртам вашата отплата врз главите ваши.
8. И ке ги предадам синовите ваши и керките ваши во рацете на синовите Јудини, и тие ке ги предадат на Савејците, народ далечен. Така вели Господ Саваот.
9. Кажете го ова ме у народите, пригответе се за војна, кренете ги јунаците, нека дојдат и нека станат сите војници.
10. Прековајте ги плуговите свои во мечеви, а срповите во копја; и слабиот нека вели: силен сум.
11. Побрзајте, вие народи, сите наоколу и соберете се. Господи, поведи ги јунаците Свои!
12. Нека се кренат народите и нека слезат во долината Јосафатова; зашто таму ке седнам Јас за да им судам на народите по ред.
13. Мавнете со срповите, зашто зрело е житото; одете, слезете, зашто полна е кацата и бочвите се преполнети, оти злобата им е голема.
14. Групи, групи во долината на судот! Оти близу е денот Господен во долината на судот.
15. Сонцето и месечината ке потемнат, и ѕвездите ке го изгубат својот сјај.
16. И ке загрми Господ од Сион и ке го испушти гласот Свој од Ерусалим: ке затреперат небото и земјата; но Господ ке му биде заштита на Својот народ и одбрана за синовите Израилеви.
17. Тогаш ке познаете дека Јас сум Господ, вашиот Бог, Кој живее на Сион, на Мојата света гора; и ке стане Ерусалим светиња, и нема повеке ту инци да минуваат низ него.
18. И, ете, во тој ден, во тој ден од горите ке капе вино, а од ридовите ке потече млеко, и сите долини јудејски ке се преполнат со вода, а од домот Господен ке се појави извор, и ке ја напојува долината Ситим.
19. Египет ке стане пустиња и Едом ке стане пустиња, бидејки тие ги измачуваа синовите Јудини и проливаа невина крв во земјата нивна.
20. А Јуда ке живее вечно, и Ерусалим - од род во род.
21. Јас ке ја измијам крвта нивна, која уште не сум ја измил, и Господ ке живее на Сион.

Амос

Глава 1

1. Зборовите на Амоса, еден од пастирите на Текоја, што ги чува во видение за Израилот во деновите на јудејскиот цар Озија, и во деновите на јудејскиот цар Јеровоам, синот Јоасов, две години пред потресот.
2. И рече тој: Господ ќе загрми од Сион и ќе го пушти гласот Свој од Ерусалим, и ќе се расплачат кушите пастирски, и ќе се исуши врвот на Кармил.
3. Така вели Господ: за трите престапи на Дамаск и за четирите нема да го поштеди, зашто го вршеа Галад со железни орудија.
4. Ќе пуштам оган во домот Азаилов, и тој ќе ги проголта дворците на Венадад.
5. Па ќе ги разбијам резињата на Дамаск и ќе ги истребам жителите од долината Авен, и оној, што држи жезал, од домот Еденов; народот Арамејски ќе отиде во ропство во Кир, вели Господ.
6. Така вели Господ: за три престапи на Газа и за четири нема да ја поштедам, зашто тие ги одведоа сите во ропство, за да му ги предадат на Едома.
7. И ќе испратам оган во ѕидовите на Газа и тој ќе ги проголта дворците нејзини.
8. Па ќе ги истребам жителите на Азот, и оној, што го држи жезалот во Аскалон, и ќе ја свртам раката Своја против Екрон, и ќе загине остатокот на Филистејците, вели Господ.
9. Вака вели Господ: за трите престапи на Тир и за четири нема да го поштедам, зашто тие му ги предадоа на Едома сите заробеници, и не се сетија за братскиот сојуз.
10. Ќе пратам оган во ѕидовите на Тир, и тој ќе ги проголта дворците негови.
11. Така вели Господ: за трите престапи на Едома и за четири нема да го поштедам, зашто тој ги гонеше браќата свои со меч, ги погази родбинските чувства, беше свиреп во гневот свој и секогаш ја држеше јароста своја.
12. Ќе испратам оган врз Теман, и тој ќе ги проголта дворците на Восор.
13. Така вели Господ: за трите престапи на синовите Амонови и за четири нема да ги поштедам, бидејќи тие ги расекуваа бремените жени во Галад, за да ги прошират границите свои.
14. И ќе запалам оган во ѕидовите на Рава, и тој ќе ги проголта дворците нејзини со врисок во денот на бојот и со виот во денот на бурата.
15. И ќе отиде царот нивни во ропство, тој и кнезовите негови заедно, вели Господ.

Глава 2

1. Вака вели Господ: за трите престапи на Моав, и за четири нема да го поштедам, оти тој ги изгоре коските на царот едомски во вар.
2. Па ке пратам оган врз Моав, и тој ке ги проголта дворците кериотски, и ке загине Моав при пораз со шум, при трубен звук.
3. И ке го истребам судијата негов и ке ги убијам сите кнезови негови заедно со него, вели Господ.
4. Така вели Господ: за трите престапи на Јуда и за четири нема да го поштедам, заради тоа што го отфрлија Законот на Господа и наредбите Негови не ги запазија; и идолите, по кои одеа татковците нивни, ги отклонија од патот.
5. И ке испратам оган врз Јуда, и тој ке ги проголта дворците ерусалимски.
6. Така вели Господ: за трите престапи на Израилот и за четири нема да го поштедам, бидејки тие продаваат праведен за сребро, и сиромав за две сандали.
7. Чезнеат да видат прав земен врз главите на сиромасите, и патот на кротките го искрувааа; дури татко и син одеа при иста жена, за да го бесчестат Моето свето име.
8. При секој жртвеник лежат врз облеки, земени во залог, и вино изнудено од обвинети, пијат во домот на боговите свои.
9. Но Јас ги истребив пред нив Аморејците, чија височина беше како височината на кедар, и кој беше јак како даб; Јас го уништив плодот негов горе, а коренот негов долу.
10. Вас, пак, ве изведов од земјата Египетска и ве водев по пустињата четириесет години, за да ја наследите земјата Аморејска.
11. Од синовите ваши избирав лу е за пророци и од младичи ваши - за назореи; зар не е тата синови Израилеви? - вели Господ.
12. А вие ги поевте назореите со вино и на пророците им заповедавте: ‘не пророкувајте‘.
13. Еве, Јас ке ве притегнам, како што се стега кола, натоварена со снопја,
14. и брзиот не ке има сила за бегање, ни јакиот да издржи и храбриот да го спаси животот свој.
15. Ни оној, што стрела со лак, нема да се додржи, ниту брзиот ке избега, ниту пак оној на коњ ке го спаси животот свој.
16. И најхрабриот од храбрите во оној ден ке избега гол, вели Господ.

Глава 3

1. Чујте го овој збор, што го кажа Господ против вас, синови Израилеви, против целото племе, кое го изведов од земјата Египетска велејки:
2. само вас ве признав од сите земни племиња, поради тоа и ке ве посетам поради сите ваши беззаконија.
3. Тргнуваат ли двајца заедно, ако не се договорат ме у себе.
4. Рика ли лав во гора, кога нема пред него плен? Пушта ли глас лавче од својата пештера, ако ништо не уловило во неа?
5. Па а ли птица во мрежа на земја, кога нема мрежа за неа? Ке се подигне ли од земајта стапица, ако не се фати ништо во неа?
6. Труби ли труба во град, а народот да не се уплаши? Се случува ли во градот зло, што не го дозволил Господ?
7. Зашто Господ Бог не прави ништо додека не им ја открие тајната Своја на Своите слуги - пророците.
8. Кога ке засрика лав, кој е тој што нема да трепне? Господ Бог вели: кој нема да пророкува?
9. Прогласете од покривите на Азот и од покривите од земјата Египетска и кажете: соберете се по горите на Самарија и погледајте го големото бесчестие во неа и насилствата во неа.
10. Тие не знаат да постапуваат справедливо, вели Господ: со насилие и грабеж собираат добра во дворците свои.
11. Затоа вака вели Господ Бог: еве, непријателот е околу земјата, тој ке ја нападне со сета своја мок и дворците твои ке бидат ограбени.
12. Така вели Господ - како што понекогаш пастирот истргнува од лавовска уста две потколенични коски или дел од увото, така ке бидат спасени синовите Израилеви, кои сега седат во Самарија во аголот на постелата своја и во Дамаск на леглото свое.
13. Слушајте и бидете сведоци против домот на Јаков, вели Господ Бог, Саваот.
14. Зошто во оној ден, кога ке го посетам Израилот за престапите негови, ке го испитам и за жртвениците во Ветил; ке бидат отсечени роговите на жртвеникот и тие ке паднат на земја.
15. Ке го поразам зимскиот дом заедно со летниот дом, и ке исчезнат домовите со украсите од слонова коска, ке снема многу домови, вели Господ.

Глава 4

1. Чујте го ова слово, јунички васански, вие, кои сте на Самариска гора, вие, кои ги измачувате сиромасите, ги угнетувате бедните и им велите на своите господари: 'донесете да пиеме!'
2. Се заколна Господ Бог во Својата светост, дека, ете, ке дојдат врз вас дни, кога ке ве извлечат со куки и остатокот ваш - со јадици.
3. Па ке излезете низ проломите на ѕидовите, секоја - како ке може, и ке ги фрлите сите украси, што се во дворците, вели Господ.
4. Одете во Ветил и грешете, во Галгал и умножувајте ги престапите, принесувајте жртви секое утро, десетоци секој трети ден.
5. Принесувајте како благодарствена жртва леб со квас, кажувајте ги доброволните свои приноси и разгласувајте за нив, зашто вие тоа го сакате, синови Израилеви, вели Господ.
6. Затоа и ви дадов чисти заби во сите ваши градови и недостиг од леб по сите ваши населби; но вие не се обрнавте кон Мене, вели Господ.
7. И го задржав по вас дождот три месеци до жетва; пуштив дожд врз еден град, врз друг град не пуштив; еден дел беше напојуван со вода, а другиот - ненаросен со дожд, и се исушуваше.
8. И се собраа два три града во еден град, за да се напијат со вода и не можеа да се напијат до ситост; но и тогаш вие не се обрнавте кон Мене, вели Господ.
9. Ве поразував со суша и метлика по житата: во многу ваши градини и лозја, насади со смокви и маслини ги јадеа гасеници, и при сето тоа пак не се обрнавте кон Мене, вели Господ.
10. Ви пракав помор, како египетскиот, ги убивав со меч момчињата ваши, отакако ги одведов коњите ваши во плен, така што смрад во становите ваши се креваше во ноздрите ваши, и покрај сето тоа не се обрнавте кон Мене, вели Господ.
11. Ве сотирав, како што Бог го разруши Содом и Гомор, и вие бевте истргнати од огнот како гламња, но при сето тоа не се обрнавте кон Мене, вели Господ.
12. Затоа вака ке постапам со тебе, Израиле; и бидејки така ке постапувам со тебе, приготви се да го дочекаш твојот Бог, Израиле.
13. Зашто, ете, Оној е, Кој образува гори и создава ветар и му ги објавува замислите Свои на човекот, утрената светлина ја претвора во мрак и оди високо над земјата. Името Негово е Бог.

Глава 5

1. Чујте го ова слово, со кое ке кренам плач за вас, доме Израилев.
2. Падна, нема повеке да стане девицата Израилева! Фрлена е на земјата своја, и нема кој да ја крене.
3. Оти вака вели Господ Бог: град, од кој излегуваат иљадници, ке остане само со сто, а од кој излегуваат сто, ке остане само со десет во домот Израилев.
4. Оти така му вели Господ на домот Израилев: побарејте Ме и ке бидете живи.
5. Не барајте го Ветил, не одете во Галгал и не патувајте во Вирсавија, зашто сиот Галгал ке појде во ропство, а Ветил ке се претвори во ништо.
6. Побарајте Го Господа, и ке бидете живи, за да не се нафрли Он против домот Јосифов како оган, што ке го проголта, и не ке има кој да го гасне во Ветил.
7. О, вие, што го превртувате правосудството во отров и правдата ја фрлате на земја!
8. Кој го создал седмоѕвездието и Орион и ја претвора смртната сенка во јасно утро, а денот го прави темен како нок, ги извикува морските води и ги разлива по земјата? Господ е името Негово!
9. Он го заштитува рушителот против силниот, и опустошителот влегува во тврдината.
10. А тие го мразат оној, кој изобличува пред портите, и се гаснат од оној, кој кажува правда.
11. Па така, затоа што го измачувате сиромавиот и земате од него подароци во жито, вие ке изградите домови од делкан камен, но нема да живеете во нив; ке насадите убави лозја, само вино од нив нема да пиете.
12. Зашто Јас знам колку се многубројни вашите престапи, и колку се тешки вашите гравови; вие сте му непријатели на праведникот, земате поткуп и ги изврherтувате делата на сиромасите во судот.
13. Поради тоа разумниот човек молчи во тоа време, оти времето е лошо.
14. Барајте добро, а не зло, за да останете живи - и тогаш Господ Бог Саваот ке биде со вас, како што велите вие.
15. Мразете го злото, сакајте го доброто и поставете правосудство пред портите; можеби, Господ Бог Саваот, ке се смилува на остатокот Јосифов.
16. Затоа вака вели Господ Бог Саваот, Седржителот: по сите ваши улици ке има плач, и по сите ваши патишта ке викаат: Оф, оф! И ке повикаат земјоделец да жали и искусни за жални песни, да плачат;
17. и по сите лозја ке има плач, оти Јас минам ме у тебе, вели Господ.
18. Тешко им на оние, кои го бараат денот Господен! Зашто ви е тој ден Господен? Тој е темнина, а не светлина.
19. Тоа е исто како кога некој ако побегне од лав, па ке го сретне мечка, или ако дојде дома и се потпре со раката на ѕид, па го касне змија.
20. Зар денот Господен не е мрак, туку светлина? Тој е мрак, и во него нема болскот.
21. Ги мразам и ги отфрлувам празниците ваши и не ги помирисувам жртвите ваши во времето на вашите прослави во собранијата.
22. Ако ми принесете сепаленица и лебен принос, нема да ги примам и нема да погледнам милостиво на благодарствената жртва од вашите угоени телиња.
23. Отстрани го од мене шумот на твоите песни, зашто звуците на твојата гусла нема да ги слушам.
24. Правосудството нека тече како вода, и правдата - како силен поток.
25. Зар не ми принесувавте жртви и дарови во лебови во пустињата во текот на четириесетте години, доме Израилев?
26. Вие ја носевте скинијата Молохова и ѕвездата на вашиот бог Ремфан, ликови што ги направивте за себе.
27. Затоа Јас ке ве преселам зад Дамаск, вели Господ; Бог Саваот е името Негово.

Глава 6

1. Тешко им на оние што се без грижа во Сион и на оние што се надеваат на горaта Самариска, кои се првенци во народот, и при кои доа а домот Израилев!
2. Минете во Калне и видете, оттаму одете во Великиот Емат и спуштете се во Гет филистејски: зар не се подобри тие во овие царства? Не ли се пошироки нивните предели од вашите предели?
3. Тешко вам, кои сметате дека е далеку злочестиот ден, а правите да се приближи славата на насилството,
4. вие, кои лежите на легла од слонова коска и се оптегате на постелите свои, вие, кои јадете најдобри овни од стадото и телиња од богато пасиште,
5. вие, кои пеете по звукот на гусла, мислејќи дека свирите како Давид,
6. вие, кои пиете вино од чаша, се мачкате со најдобри масла и не ве боли срцето за злото на Јосифа!
7. Затоа сега тие ќе појдат први во ропство пред заробените, и ќе се заврши ликувањето на разнежените.
8. Се колне Господ Бог Сам во себе и вака вели Господ, Бог Саваот: се гнасам од гордоста на Јакова и ги мразам дворците негови, и ќе го предадам градот и се, што го исполнува.
9. И, ако во некоја куќа остана десет души, и тие ќе умрат.
10. ќе ги земе роднината нивни или соседот, за да ги изнесе коските нивни од куќите, па ќе го прашаат оној, кој стои пред куќата: 'има ли уште некого?' Тој ќе одговори: 'нема никого'. И овој ќе рече: 'молчи, оти не бива да се спомнува името Господово.'
11. Зошто, ете, Господ ќе даде заповед и ќе ги сосипе големите куќи преку расцепување, а малите со напукнување.
12. Трчаат ли коњите по карпа? Може ли таа да се изоре со волови? Вие, пак, го превртувате правосудството во отров, а плодот на правдата - во горчина;
13. вие, што се восхитувате од ништо и од никакви работи и велите: 'зар не спечаливме со силата на својата моќ?'
14. Еве, Јас, вели Господ Бог Саваот, ќе подигнам народ против вас, доме Израилев и ќе ве истерам од влезот во Емат до потокот во пустињата.

Глава 7

1. Вакво видение ми откри Господ Бог: еве, Он создаде скакулци, кога почна да изникнува доцнежната трева, и тоа беше тревата по царската косидба.
2. И, ете, кога завршија да ја јадат тревата по земјата, реков: Господе Боже, смили се; како ке издржи Јаков? Тој е многу мал.
3. И Господ се сожали на тоа: 'нема да стане тоа' - рече Господ.
4. Вакво видение ми откри Господ Бог: еве, Господ Бог произведе оган за суд - и тој проголта голема бездна, проголта и дел од земјата.
5. И реков: Господи Боже, запри: 'како ке се додржи Јаков? Па тој е многу мал.'
6. И Господ се сожали на тоа: 'и тоа нема да се збидне', рече Господ Бог.
7. Вакво видение ми откри Он: еве, Господ стоеше на ѕид и во раката имаше оловна висулка.
8. И ми рече Господ: 'Што гледаш, Амосе?' Јас одговорив: 'Висулка'. И Господ рече: 'еве ке ставам висулка ме у Мојот народ Израилев; нема повеке да му проштевам.
9. Опустошени ке бидат жртвениците Исакови и разрушени ке бидат светилиштата Израилеви, и ке се кренам со меч против домот Јеровоамов.'
10. И Амасиј, свештеникот ветилски, прати при израилскиот цар Јеровоама, да кажат: Амос крева бунт против тебе ме у домот Израилев; земјата не може да ги трпи зборовите негови,
11. оти тој вака вели: од меч ке умре Јеровоам, а Израилот бездруго ке биде одведен од земјата своја во ропство.
12. И му рече Амасиј на Амоса: јасновидецу, оди и насели се во земјата Јудина; таму јади леб и таму пророкувај,
13. а во Ветил не пророкувај веке, оти тој е светиња царева и е царски дом.
14. Му одговори Амос и му рече на Амасија: јас не сум пророк и не сум син на пророк; бев пастир и собирав диви смокви.
15. Но Господ ме зеде од овците и ми рече: оди, пророкувај при мојот народ Израилот.
16. А сега ислушај го словото Господово. Ти велиш: не пророкувај против Израилот и не кажувај зборови против домот Исаков.
17. Затоа, еве, што вели Господ: жената твоја ке биде обесчестена во градот, синовите твои и керките твои ке паднат од меч, земјата твоја ке биде разделена со мрана врвка, ти ке умреш во нечиста земја, а Израилот ке биде одведен од земјата своја.

Глава 8

1. Вакво видени ми откри Господ Бог: ете, кошница со зрели плодови.
2. И ми рече Он: што гледаш, Амосе? Одговорив: кошница со зрели плодови. Тогаш Господ ми рече: му дојде крајот на Мојот народ Израилот - нема повеке да му проштевам.
3. Песните во дворците во оној ден ке се претворат во ридање, вели Господ Бог; ке има многу трупови, ке ги фрлаат насекаде молчешкум.
4. Чујте го ова, вие, кои жедувате да проголтате бедни и да погубите сиромаси,
5. вие, кои велите: - кога ке мине месечието, за да продаваме жито, и сабота, за да ги отвориме житниците, да ја намалиме мерката, да ја зголемиме цената на сиклата и да измамуваме со лажни мерки,
6. да купуваме сиромаси со сребро и бедни за два чевела, и да продаваме отсевки?
7. Се заколна Господ во славата на Јакова: навистина нема никогаш да заборавам ниту едно од делата негови!
8. Нема ли да се затресе земјата од тоа и нема ли да заплаче секој жител на неа? Таа целата ке се разбранува како река и ке се подига и ке се спушта како реката египетска.
9. И во оној ден, вели Господ Бог, ке направам сонцето да зајде попладне и ке ја помрачам земјата среде бел ден,
10. ке ги претворам празниците ваши во тага и сите ваши песни - во плач; ке ставам врекишта на сите бедра и келавост - на секоја глава, и ке создадам во земјата плач како за син единец, и крајот ке и биде како тажен ден.
11. Ете, настапуваат дните, вели Господ Бог, кога ке испратам на земјата глад, не глад за леб, не жед за вода, туку жед за слушање зборови Господови.
12. И ке одат од море до море, ке скитаа од север до исток, барајки го словото Господово, и нема да го најдат.
13. Во оној ден ке премираат од жед убавите девојки и момчиња.
14. Они што се колнат во гревот Самариски и велат: жив е твојот бог, Дане, така да ни е жив и патот за Вирсавија! Тие ке паднат и веке нема да се кренат.

Глава 9

1. Го видов Господа како стои на жртвеникот и вели: удри во горниот праг на вратата за да се растресат спојките и расцепи ги врз главите на сите нив, а другите од нив ке ги убијам Јас со меч: никој од нив, кој бега, нема да избега, и никој од нив, кој сака да се спаси, нема да се спаси.
2. И да се закопаат во најдолниот дел на земјата, и оттаму раката Моја ке ги извлече; и да се качат на небото, и оттаму ке ги сметнам.
3. Макар да се скријат и на врв Кармил, и таму ке ги најдам и ке ги земам; па и да се сокријат и од очите Мои во морското дно, и таму ке му заповедам на змајот морски да ги голтне.
4. И во плен, ако појдат пред непријателите свои, ке му заповедам на мечот таму да ги убие. Ке ги свртам врз нив очите Свои за нивно зло, а не за добро.
5. Зашто Господ Бог Саваот ке се допре до земјата, и таа ке се растопи, и ке се расплачат сите живи на неа; ке се крене таа цела како река и ке се спушти како реката египетска.
6. Он ги изгради своите горни дворци на небесата и сводот Свој го зацврсти на земјата; ги повика морските води и ги изли по земјата; Господ е името Негово.
7. Вие, синови Израилеви, не сте ли за мене како синови етиопски, вели Господ, нели Јас го изведов Израилот од земјата Египетска и Филистејците - од Кафтор и Арамејците од Кир?
8. Ете, очите на Господа Бога се врз грешното царство, и Јас ке го истребам од лицето на земјата, но домот на Јакова нема целосно да го истребам, вели Господ.
9. Зашто, еве, Јас ке заповедам и ке го распраснам домот Изралев по сите народи, како што се растураат зарната во решето, и ниедно не па а на земја.
10. Од меч ке умрат сите грешници ме у народот Мој, кои велат: 'нема да не постигне и нема да дојде при нас тоа зло!'
11. Во оној ден ке ја подигнам паднатата скинија Давидова, ке ги пополнам пукнатините нејзини, срушеното ке го подигнам и ке ја средам, како во поранешните дни.
12. за да ги завладее остатокот од Едома и сите народи, ме у кои ке се спомнува името Мое, вели Господ, Кој го врши сето тоа.
13. Ете, ке настапат дни, вели Господ, кога орачот ке го затече жетварот и оној што гази грозје - сејачот; и горите ке пуштаат гроздов сок, и од сите ридови ке потече.
14. Ке ги повратам заробените на Мојот народ Израилот; и пак ке ги изградам запустените градови и ке се населат во нив; ке насадат лозја и ке пијат вино од нив, и ке направат градини и ке јадат плодови од нив.
15. И ке ги населам во земјата нивна и тие нема повеке да бидат истргани од својата земја, која им ја дадов Јас, вели Господ, твојот Бог.

Авдиј

Глава 1

1. Вака му вели Господ на Едом: 'Чув глас од Господа, известие е испратено ме у народите: ‘Станете, да се кренеме во борба против овој народ!‘'
2. Еве, те наравив најмал ме у народите, многу си презрен.
3. Гордоста на твоето срце те измами, тебе, кој живееш ме у камењата во пештери, во својот висок дом, и му велиш на своето срце: 'Кој е тој што ке ме собори на земја?'
4. И да се кренеш високо како орел, да направиш гнездо, и оттаму ке те сметнам; говори Господ.
5. Крадци кога би дошле кај тебе, или нокни разбојници, зар не би украле околку колку што им треба? Берачи на грозје ако би те нападнале, зар не би оставиле нешто за доберување?
6. Како беше пребран Исав, и како му ги зедоа сите негови сокриени работи!
7. Сосема те опустошија; сите твои сојузници станаа против тебе, те измамија и они што јадат со тебе, стапица ке ти стават, што не ке ја забележиш.
8. Во оној ден, вели Господ, ке ги погубам мудрите во земјата Едомска и разумните во гората Исавова.
9. И јунаците твои ке се уплашат, Темане, за да се истребат сите од гората Исавова.
10. Поради насилството и заради убиството, што му го направи на братот твој Јакова, со срам ке бидеш покриен и ке бидеш отфрлен засекогаш.
11. Во оној ден кога ти беше од спротивната страна; во оној ден кога други ја водеа во ропство војската негова, и кога ту инци влегуваа низ вратата негова и фрлаа жреб за Ерусалим, беше и ти како еден од нив.
12. Не презирај го братот твој во денот, кога е во невоља од ту инци, кога го водат во ту а земја, ниту да се радуваш на синовите Јудини, кога тие пропа аат, а уште помалку да ја отвораш устата своја во денот на нивните страдања.
13. Не влегувај низ вратата на Мојот народ во денот на неговата невоља, не насладувај се на нивното зло во денот на нивната погибел, и не земај од имотот нивни во денот на нивната пропаст.
14. И не стој на нивните крстопати, за да ги убиваш оние што бегаат, нити да ги предаваш оние, што преживеале во денот на нивната невоља.
15. Зашто денот Господен за сите народи е блузу: како си правел, така ке ти се прави; отплатата ке падне на твојата глава.
16. Оти, како што пиевте на Мојата света гора вие, така ке пијат вино сите народи, ке се препиваат и ке слегнат, и ке бидат како никогаш да не биле.
17. Но на гората Сион ке биде спасението и ке биде света, и домот на Јакова ке го добие своето наследство.
18. Домот на Јакова ке биде оган, а домот на Јосифа пламен, додека домот на Исава стрниште; ке разгорат на нив, и ке ги запалат; и нема никој од домот Исавов да остане жив, зашто Господ така вели.
19. Другородци ке ја наследат гората Исавова, и рамнината Филистејска; ке го наследат и полето Ефремово и полето Самариско, а Венијаминовото ке го наследи Галад.
20. Заробената, пак, војска на синовите Израилеви ке го наследи Ханан до Сарепта, а робовите од Ерусалим ке ги наследат јужните градови во Сефард.
21. И победниците ке се качат на гората Сион за да и судат на гората Исавова, и тогаш ке биде царството Господово.

# Јона

Глава 1

1. И би словото Господово до Јона, синот Аматиев:
2. 'Стани и оди во Ниневија, град голем, и проповедај во него, зашто неговите лоши дела стигнаа до Мене.'
3. А Јона стана за да избега во Тарсис од лицето Господово; слезе во Јопа, каде што најде кораб што плови за Тарсис, па откако ја плати возарината, влезе во него за да избега со него во Тарсис од лицето Господово.
4. Но Господ подигна силен ветар на морето, и настана голема бура, така што коработ за малку ке се разбиеше.
5. Морнарите се уплашија и повикаа секој кон својот бог, па почнаа товарот од коработ да го фрлаат во морето, за да му се олесни; а Јона беше слегол во дното на коработ, легнал и длабоко заспал.
6. Тогаш дојде при него капетанот на коработ и му рече: 'Што, ти спиеш! Стани и повикај кај твојот Бог. Можеби Бог ке се сети на нас, и ние нема да загинеме.'
7. Па си рекоа еден на друг: 'Да фрлиме жреб и да видиме поради кого не снајде оваа беда.' Фрлија жреб и жребот падна на Јона.
8. Тогаш му рекоа: 'Кажи ни заради што не снајде оваа невоља? Со што се занимаваш, и од каде идеш? Каде е твојата земја и од кој народ си?'
9. Тој им рече: 'Јас сум Евреин, Го почитувам Господа Бога на небесата, Оној што ја создаде земјата и водата.'
10. Тогаш лу ето се уплашија многу и му рекоа: 'Зошто го направи ова?' Оти тие узнаа дека тој бега од лицето Господово, - како што тој сам им беше кажел.
11. И му рекоа: 'Што да направиме со тебе, та морето да стивне за нас?' Бидејки морето се брануваше.
12. Тогаш тој им рече: 'Земете ме и фрлете ме в море, и морето за вас ке стивне, оти знам дека поради мене се крена оваа бура.'
13. Лу ето потоа се трудеа некако да се приближат до суво, но не можеа, бидејки морето се повеке беснееше против нив.
14. Тогаш повикаа кон Господа и рекоа: 'Те молиме Господи, да не загинеме поради душата на овој човек, и да не бидеме одговорни за невина крв, зашто Ти, Господи, си направил како што ти е Тебе угодно.'
15. Па го зедоа Јона и го фрлија во морето; и морето престана да се бранува.
16. Тогаш лу ето се уплашија многу од Господа, Му принесоа на Господа жртви и се заветуваа.

Глава 2

1. И му заповеда Господ на еден голем кит да го проголта Јона; и Јона остана во утробата на тој кит три дена и три ноки.
2. Му се помоли Јона на својот Господ Бог од утробата на китот,
3. па рече: 'Кон Господа повикав во мојата невоља Он ме чу; извикав од утробата на пеколот - и Ти го чу гласот мој.'
4. Ти ме фрли во длабините, во срцето на морето, и вода ме опколуваше, и сите води Твои и бранови Твои минеа преку мене.
5. Тогаш реков: Отфрлен сум од очите Твои, но сепак, ке ја видам светињата Твоја.
6. Ме притиснаа водите до душата моја, бездната ме затвори; со трева морска главата моја е обвиена.
7. Слегнав до основите на планините, земјата со резињата свои за навек ме затвори, но Ти, Господи, Боже мој, ке ја изведеш душата моја од пеколот.
8. Кога изнемогна душата моја, се сетив на Господа, и молитвата моја стигна до Тебе, до светиот храм Твој.
9. Оние, кои почитуваат лажни богови, Го оставија својот Милосрден,
10. но јас со пофвален глас ке Ти принесам жртва; она што сум го ветил, ке го исполнам. Во Господа е спасението!'
11. Тогаш му заповеда Господ на китот, и тој го исфрли Јона на суво.

Глава 3

1. И повторно дојде словото Господово до Јона, велејки му:
2. 'Стани и појди во градот Ниневија, големиот град и проповедај му го она што ке ти кажам.'
3. Стана Јона и отиде во Ниневија по заповед на Господа; а Ниневија беше многу голем град: три дена одење.
4. И Јона почна да оди по градот, колку што можеше да се изоди за еден ден, и проповедаше, велејки: 'Уште четириесет дена и Ниневија ке биде разурната!'
5. И поверуваа ниневијците во Бога, прогласија пост и се облекоа во вреки, мало и големо.
6. Таа проповед дојде и до царот на Ниневија, и тој стана од престолот свој, ја соблече царската облека, се облече во врекиште и седна во пепел,
7. па заповеда да се прогласи и да се каже во Ниневија од името на царот и од неговите големци - ни лу ето, ни добитокот, ни воловите, ниту овците да не јадат ништо и да не одат на пасење и да не пијат;
8. и лу ето и добитокот да бидат покриени со врекишта и силно да извикуваат кон Бога: секој да се откаже од својот лош пат и од насилството на рацете свои.
9. Кој знае - можеби Бог ке се смилостиви и ке го отфрли од нас сво тој разгорен гнев, и така да не загинеме.
10. И ги виде Бог нивните дела, оти тие се одвратија од својот лош пат, па се сожали на злото, за кое беше рекол дека ке го нафрли врз нив, и не го нафрли.

Глава 4

1. Поради тоа Јона многу се огорчи и вознегодува.
2. Па Му се помоли на Господа и рече: 'О, Господи, зар не го велев тоа уште додека бев во земјата своја? Та затоа и побегнав во Тарсис, оти знаев дека Ти си Бог добар и милосрден, долготрпелив и многумилостив, па ке се сожалиш за бедата.
3. А сега, Господи, земи ја душата моја од мене, зашто подобро е да умрам отколку да живеам.'
4. Господ пак му рече: 'Зошто тоа толку многу те огорчи?'
5. Тогаш Јона излезе од градот, па седна од источната страна, и таму си направи сеница и се смести во неа под ладовина, за да види што ке стане со градот.
6. Господ Бог нареди сега да израсне растение над главата на Јона, за да има над главата сенка, и да го избави од огорчението негово. Јона многу му се зарадува на тоа растение.
7. И нареди Господ, вториот ден, кога зората се зазори, црви да ја подгризат тиквата, и таа се исуши.
8. А кога изгреа сонцето, испрати Бог врел источен ветар, и сонцето почна да ја вжештува главата на Јона, така што тој изнемоште толку што се помоли да умре, велејки: 'Подобро е да умрам отколу да живеам.'
9. А Бог му рече тогаш на Јона: 'Па зар е добро тоа што се лутиш заради растението?' А тој одговори: 'Многу сум лут, лут сум дури до смрт!'
10. Тогаш Господ рече: 'Тебе ти е жал за едно растение, за кое ти не си се трудел, ниту си го одгледувал, и кое за една ноки израсна и се исуши,
11. а Мене да не Ми е жал за Ниневија, за овој голем град, во кој живеат повеке од сто и дваесет иљади души, кои не можат да ја разликуваат десната рака од левата, а и за многу добиток?'

Михеј

Глава 1

1. Словото Господово, упатено до Михеја од Мораст, во деновите на Јоатама, Ахаза и Езекија, цареви јудејски, со кое му беше откриено за Самарија и за Ерусалим.
2. Чујте, сите народи, внимавај, земјо, и се што те исполнува! Сведок нека е против вас Господ Бог, Господ од Својот свет храм!
3. Зашто Господ, ете, излегува од Своето место, ке слезе и ке стапи на земните височини,
4. и планините ке се расклатат под Него, долините ке се растопат како восок од оган, како водата што се пролива низ стрмнини.
5. И сето тоа ке стане поради нечесноста на Јакова, поради гревот на Израилевиот дом. Од кого е злодејанието на Јакова? Нели е тоа од Самарија? Од кого се идолските светилишта во Јудеја? Нели се тоа од Ерусалим?
6. Затоа од Самарија ке направам купишта урнатини во полето, место за садење лози; ке ги сринам камењата нејзини во долина и ке и ги разголам основите.
7. И сите нејзини резани ликови ке се строшат и сите нивни дарови од блуд - со оган ке бидат изгорени: сите идоли ке ги разурнам; со дарови од блуд ги правела, и пак ке бидат дарови од блуд превртени.
8. Поради тоа ке заплачам и ке заридам, ке појдам бос и оголен, ке вијам како шакал, ке плачам како змија;
9. зашто тежок е нејзиниот пораз; тоа дојде до Јудеја, а стигна дури и до портите на Мојот народ - се до Ерусалим.
10. Не разгласувајте го ова во Гет, не плачете таму гласно, а во селото Офра посипете се со пепел.
11. Иселете се, жители сафирски, срамно разголени; нема да се спаси ни жителката санска, плачот во селото Езил нема да ви дозволи да се задржите ни таму.
12. Тагува за своето добро жителката маротска, зашто злото од Господа слезе до портите ерусалимски.
13. Впрегни брзи коњи во колата, жителко лахиска, ти си почеток на гревот од керката Сионска, оти во тебе се појавија престапите на Израилот.
14. Затоа ти ке пракаш дарови во Моресет Гет; но населбите ахзивски ке бидат измама за царевите израилски.
15. Ке доведам и наследник при тебе, жителко мориска; и тој ке дојде дури до Одолам, славата на Израилот.
16. Фрли ја косата своја, истрижи се - од жал за своите сакани синови; разголи ја келавоста своја за нив како орел што ја разголува својата, зашто тие ке бидат одведени од тебе во ропство.

Глава 2

1. Тешко им на оние што кројат беззаконија и на леглата свои измислуваат зли дела, и ги извршуваат штом ке се зазори, зашто не ги издигнаа кон Господа рацете свои.
2. Ke пожелат ниви - ги заземаат насила, куки - ги отимаат; и човекот го обираат, и куката негова, мажот и наследството негово.
3. Затоа вака вели Господ: 'Еве Јас замислувам зло против тој род да пратам, кое не можете да го отфрлите од вратот свој, па затоа и нема да одите исправени; оти тоа време ке биде лошо.
4. Во она време ке се зборува за вас, ке плачат многу и ке мислат: наполно сме разорени; делот од мојот народ е даден на друг; како да ми се врати? Нивните наши се веке раздадени на другородци.'
5. Затоа не ке имам никого што ке фрли жреб во собранието пред Господа.
6. Не пророкувајте пророци; не пророкувајте им за да не ве постигне зло.
7. О, ти, што се нарекуваш Јаковов дом! Зар се смали Духот Господов! Зборовите Мои зар не се благотворни за оној, кој постаува справедливо?
8. Но народот, кој порано беше Мој, сега стана непријател, и вие им ја грабите не само горната туку и долната облека на мирните лу е, што се вракаат од војна.
9. Жените на Мојот народ ги истерувате од нивните пријатни домови; а од децата нивни ја одземате славата Моја.
10. Станете и одете си, оти тој крај не е земја за почивка; поради нечистотија таа ке биде разорена - и тоа со голема погибел.
11. Ако некој ветропир измислува лага и вели: 'ке ти проповедам за вино и за сикер', тој би бил добар за пророк на овој народ.
12. Навистина ке те соберам сиот, Јакове, навистина ке ги соберам остатоците Израилеви; ке ги соберам во едно како овците во Восор, како стадо овци во кошара; ке зазборуваат шумно поради многубројноста.
13. Пред нив ке тргне уривач на ѕидови; тие ке ги разбијат преградите, ке влезат низ портите и ке излезат низ нив, и царот нивни ке тргне пред нив, и Господ - ке биде на чело.

Глава 3

1. Затоа реков - чујте, поглавари Јаковови и кнезови на домот Израилев: зар вие не знаете што е право?
2. А вие го мразите доброто и го сакате злото, ја дерете од нив кожата, и месото од коските нивни;
3. јадете од телото на Мојот народ и ја дерете кожата нивна, а коските нивни ги стругнувате и ги кршите како за во сад, и месото нивно го дробите како за во котел.
4. И тие ке викаат кон Господа, но Он нема да ги чуе и ке го сокрие лицето Свое од нив во времето, додека тие вршат злодејанија.
5. Така вели Господ против пророците, кои го воведуваат во заблуда Мојот народ, кои гризат со заби - а проповедаат мир; а ако никој не им стави во уста ништо, против него објавуваат војна.
6. Затоа, место видени, вие ке гледате нок, место пророштво - темнина; и сонцето ке зајде над тие пророци и денот ке им потемнее над нив.
7. Ќе се засрамат јасновидците, ке бидат посрамени гледачите, и сите ке ја затворат устата своја, зашто нема да добијат одговор од Бога.
8. Но јас сум исполнет со силата на Духот Господен, со правда и цврстина, за да му ги кажам на Јакова престапите и на Израилот - гревот негов.
9. Чујте ме сега, поглавари на домот Јаковов, и кнезови на домот Израилев, вие, кои се гнасите од правдата и што искривувате се што е право.
10. Вие, кои го градите Сион со крв и Ерусалим со неправда.
11. Поглаварите негови судат за подароци, свештениците учат за награди, а пророците пророкуваат за пари, и сепак се надеваат на Господа, велејки: 'Нели е Господ ме у нас; затоа зло нема да не постигне.'
12. Затоа поради вас Сион ке биде разорен како нива, а Ерусалим ке стане купиште од урнатини, и планината на тој Дом ке зарасне во шума.

Глава 4

1. И, ете, затоа во последните дни планината на Господовиот Дом, ке биде поставена на чело над сите планини, и ке се издигне над ридовите, и ке поитаат кон неа народите.
2. И ке тргнат многу народи, и ке речат: 'Дојдете да се искачиме на гората Господова и да влеземе во домот на Јакова - и Он ке не научи на Своите свети патишта, и ке одиме по патеките Негови; зашто од Сион ке излезе Законот, и од Ерусалим - словото Господово.
3. Он ке им суди на многу народи и ке изобличи многу племиња во далечни краишта; па ке ги прековаат мечевите свои во плугови и копјата свои - во српови; и народ против народ нема да крене веке меч, и нема веке да се учат да војуваат;
4. секој ке седи под лозата своја и под смоквата своја, и никој нема да се плаши, зашто устата на Господа Саваот го изрекла тоа.
5. Зашто сите народи одат, секој во името на својот бог, а ние ке одиме во името на Господа, нашиот Бог, секогаш и довека.'
6. Во оној ден, вели Господ, ке соберам се што е хромо, и ке соединам што е разгонето, и оние, врз кои сум допуштил беда.
7. И ке направам од остатокот на хромите и прснатите по светот силен народ, и Господ ке царува над нив на гората Сион од сега па довека.
8. А ти, куло на стадото, риду на Сионовата керка, при тебе ке дојде и ке се врати поранешното владение, царството - при керките ерусалимски.
9. А зошто ти сега така гласно плачеш? Зар немаш цар или ти недостига советник, па те обзеле маки како кај родилка?
10. Страдај и мачи се од болки, керко Сионова, како родилка, зашто сега ке излезеш од градот, ке живееш во полето и ке стигнеш во Вавилон. Таму ке бидеш избавена, таму ке те откупи Господ од рацете на непријателите твои.
11. А сега се собрани многу народи против тебе и велат: 'Нека биде осквернета и очите наши да се нагледаат на Сион!'
12. Но тие не ги знаат замислите на Господа и не ги разбираат намерите Негови - дека Он ги собрал како снопје на гумно.
13. Стани и удирај, керко Сионова, оти Јас ке го направам рогот твој железен и копитата твои бакарни; ке прегазиш многу народи, и нивните трудови и богатства ке ги посветиш на Господа - Владетелот над целата земја.

Глава 5

1. Утврди се сега тврдино. И пак сме опседнати, со прат ке го бијат по образите судијата на Израилот.
2. И ти, Витлееме Ефратов, иако си најмал ме у иљадниците Јудејци, од тебе ке ни излезе Оној, Кој треба да владее во Израилот и чие потекло е од почетокот, од вечноста.
3. Затоа Он ке ги остави до времето додека роди онаа, кој треба да роди; тогаш при синовите Изаилеви ке се вратат и нивните други брака.
4. Ке застане Он и ке ги пасе со силата на Господа, со величието на името Господово, својот Бог - и тие ке живеат во мир, зашто тогаш Он ке биде велик до краиштата на земјата.
5. И Он ке биде мирот. Кога ке дојде Асур во нашата земја и ке стапи во нашето владение, тогаш ние против него ке поставиме седум пастири и осум народни кнезови.
6. Тогаш тие ке ја испасат земјата Асур со меч, а земјата на Немрода покрај портите, и Он ке не избави од Асура, кога ке дојде во нашата земја и ке влезе во пределите наши.
7. А остатокот од Јакова ме у многуте народи ке биде како роса од Господа, како ситен дожд по трева. Он нема да зависи од човек и нема да се потпира на синовите Адамови.
8. И остатокот на Јакова ке биде ме у народите, ме у многу племиња, како лав ме у горски ѕверови, како лавче ме у овчо стадо; и кога ке се појави, ке гази и ке растргнува и никој не ке може да се спаси од него.
9. Тогаш ке се крене раката Твоја над непријателите Твои и тие ке бидат истребени.
10. И во оној ден, вели Господ, ке ги истребам коњите твои пред тебе и ке ги уништам колите твои;
11. и ке ги сотрам градовите во твојата земја и ке ги растурам сите тврдини твои;
12. ке ги истргнам магиите од рацете твои, и при тебе не ке има веке вражачи;
13. ке ги уништам идолите и резаните ликови ме у тебе - и нема веке да се клањаш на творби од рацете твои;
14. и ке го искоренам од твојата средина идолските светилишта и ке ги разорам градовите твои.
15. Во гнев и со негодување ке се одмаздам над народите што ке бидат непослушни.

Глава 6

1. Слушајте што вели Господ: 'Стани и суди се со горите и со ридовите да го чујат гласот твој!
2. Чујте го, гори, судот Господов, и вие, цврсти основи на земјата, зашто Господ му суди на Својот народ, се бори со Израилот.
3. Народе Мој, што ти направив и со што ти дотегнав? Одговори Ми.
4. Јас те изведов од Египетската земја, те ослободив од домот на ропството и ги водев пред тебе Мојсеја, Арона и Маријам.
5. Народе Мој, сети се што кроеше Валак, царот моавски, и што му одговори Валаам, синот Веров и што стана од Ситим до Галгал - за да ги познаеш праведните дела на Господа.
6. 'Со што да застанам пред Господа, да се поклонам пред небесниот Бог? Да застанам ли пред Него со сепаленици, со едногодишни телци?
7. Но може ли да Му се угоди на Господа со иљадници овни или неизмерни потоци елеј? Дали да Му го дадам мојот првороден син за престапите свои и плодот на утробата своја - за гревовите на душата своја?'
8. О, човеку, речено ти е што е добро, и што бара од тебе Господ; да работиш правично, да сакаш милосрдни дела и смирено да врвиш пред твојот Бог.
9. Гласот Господов вика кон градот и мудроста се претпочита пред Твоето име; слушајте го жезалот и Оној, Кој те поставил.
10. Па зар не се нао аат во домот на безножникот богатство несправедливо и мерка смалена, одвратна?
11. Можам ли да бидам чист со мерките на беззакониците и со мерките во мојата торба?
12. богаташите негови се полни со неправда, и жителите негови говорат неправда, а и јазикот нивни измама е во устата нивна.
13. Затоа ке почнам да те поразувам со запустување поради гревовите твои.
14. Ке јадеш - и нема да се наситуваш; празнина ке има внатре во тебе; ке пазиш, но нема да забележуваш, а она што ке зачуваш, тоа Јас ке го предадам на меч.
15. Ке сееш, но нема да женееш; ке гмечиш маслинки, но нема да се намажеш со елеј; ке цедиш гроздов сок, но нема да пиеш вино.
16. При вас се запазиле обичаите на Замврија и сите дела на домот Ахавов, и вие постапувате според нивните совети. Затоа ке те предадам на запустување и жителите твои на потсмев, а вие ке претрпите поруга од Мојот народ.

Глава 7

1. Тешко мене, зашто со мене е сега како по собирање на летните плодови, како по гроздобер; ни зрнце за каснување, ниту зрел плод, што би посакала душата моја.
2. Нема веке милосрдни по земјата, нема праведни ме у лу ето; сите кројат сплетки, за да проливаат крв; секој му става на брата си стапица.
3. Рацете им се приготвени за да прават зло: началникот сака подароци, судијата суди за поткуп, а големците пројавуваат лоши похоти на душата своја и ја изопачуваат правдата.
4. Најдобриот од нив им е како трн, а справедливиот им е полош отколку ограда од трње. Денот на Твоите предвесници, денот на Твојата посета наближува; и сега ке ги опфати смут.
5. Не верувајте му на другарот, не потпирајте се на пријателот; пред онаа, што лежи во твојата постела, не отворај ја широко устата своја.
6. Зашто синот го напа а татка си, керката се противи на мајка си, снаата станува против свекрвата; непријатели на човекот му се неговите домашни.
7. Јас, пак, гледам кон Господа, е за моето спасение ке се надевам на Бога; мојот Бог ке ме чуе.
8. Не радувај се за мене, неријателко моја! Иако сум паднат, јас ке станам; макар што сум сега во мрак; Господа е мојата светлина.
9. Кe го поднесувам гневот Господен, - зашто сум згрешил пред Него - додека не го реши делото мое и не ме осуди; тогаш Он ке ме изведе на светлина, и јас ке ја видам правдата Негова.
10. И ке го види тоа мојата непријателка и срам ке ја покрие онаа што ми велеше: 'каде е Господ, твојот Бог?' И ке го видат тоа очите мои - и таа ке биде згазена како кал на улица.
11. Во она време, кога ке се изѕидаат ѕидовите твои, во тоа време границите ке се прошират надалеку.
12. Во оној ден ке пристигнат при тебе од Асирија до Египет, од Тир до Реката, и од море до море и од планина до планина.
13. А таа земја ке биде пустиња поради гревовите на жителите нејзини, и поради плодовите на делата нивни.
14. Паси го со жезалот народот Твој, овците на наследството Свое, оние, што живеат обединети во гората среде Кармил, остави ги да пасат тие во Васан и Галад како во стародревните дни!
15. Кe му покажам чудесни дела како во времето кога ти излезе од Египетската земја.
16. Кe го видат тоа народите и ке се засрамат при сета таа сила; ке стават рака на устата своја, и ушите нивни ке се заглушат.
17. Кe лижат прав како змии и како црвјата што излегуваат од земја, ке излегуваат од своите гнезда; ке се уплашат од Господа, од нашиот Бог, и ке се уплашат од Тебе.
18. Кој Бог е како Тебе, за да ги простува беззаконијата, да мине преку престапите на остатокот од Своето наследство? Он вечно не се гневи, зашто има обичај да се смилува.
19. Он пак ке се смили над нас и ке ги избрише нашите беззаконија. Он ке ги фрли сите наши гревови во морските длабочини.
20. Ти ке покажеш верност кон домот на Јакова, милост кон Авраама, како што со клетва си им ветил на татковците наши од првите дни.

Наум

Глава 1

1. Пророштвото за Ниневија; книга за видението на Наума од Елкос.
2. Господ е Бог ревнив и одмаздник е Господ и страшен во Својот гнев: Господ им се одмаздува на непријателите Свои; не ги поштедува ни противниците Свои.
3. Господ е долготрпелив и голема е силата Негова, така што не остава никого без казна; патот Господов е во виор и бура, а облаците се прав од под нозете Негови.
4. Ќе му се закани ли на морето, и тоа пресушува, и сите реки пресушуваат: овенува Васан и Кармил, и свенува цветот на Ливан.
5. Горите се тресат пред Него, и ридовите се топат, земјата потреперува пред лицето Негово, и вселената и се што живее во неа.
6. Кој може да устои против Него? И кој може да го издржи пламенот од гневот Негов? Гневот Негов се излива како оган; карпи се распа аат пред Него.
7. Добар е Господ; Он е прибежиште во жалосен ден. Он ги познава оние, што се надеваат на Него.
8. Но со силна поплава, што се потопува, ке ја уништи Ниневија до темели и мрак ке ги обземе непријателите Негови.
9. Што сте намислиле против Господа? Он ке стави крај на се, и неволите веке нема да се повторат,
10. зашто, иако сплетени како трње и како од вино пијани, тие ке бидат наполно проголтани, како сува слама.
11. Од тебе произлезе оној, што смисли зло против Господа, и кој подготви нечесен заговор.
12. Вака вели Господ: 'Макар што се безопасни и многубројни, тие ке бидат исклани и ке исчезнат; а тебе, иако те измачував, нема веке да те измачувам.
13. И сега ке го скршам јаремот негов, кој лежи врз тебе, и ке ги раскинам оковите твои.
14. А за тебе, Асире, Гсопод определи: нема да продолжи родот твој; од домот на твојот бог ке ги истребам идолите резани и лиени; во него ке ти направам гроб кога ке бидеш презрен.
15. Ете, по горите се стапките на благовесникот, кој најавува мир: празнувај ги, Јудејо, твоите празници, извршувај ги заветите свои, зашто преку тебе нема веке да минува нечестивиот; тој е наполно уништен.

Глава 2

1. Се крева против тебе уништувач: пази ги тврдините, чувај го патот, зацврсти ги бедрата, собирај сили.
2. Зашто Господ ке го воспостави величието на Јакова, како величието на Израилот, оти пакосници ги запустија и лозјата им ги сотреа.
3. Штитот на неговите јунаци е црвен: војниците негови носат црвени облеки; колите бојни ке фрлаат оган во денот на борбата и гора од копја ке се лулее.
4. Колите ке траскаат по улиците и ке се судираат една со друга, ке изгледаат како запалени факели, и ке светкаат како молњи.
5. Тој ке ги повикува јунаците свои, но тие ке бидат бавни во одот, ке побрзаат кон ѕидовите на градот, но опсадата е веке подготвена.
6. Вратите од реките ке се отворат и дворот ке се урне.
7. Решено е: таа ке биде оголена и во плен одведена, а слугинките нејзини ке стенкаат како гулаби, удирајки се в гради.
8. Ниневија, откако беше основана, беше како водобран полн со вода, а тие бегаат. 'Стојте, стојте!'. Но никој не се свртува да погледа.
9. Грабајте сребро, грабајте злато; нема крај на натарупаните скапоцени работи.
10. Ограбена, опустошена и разурната е таа - срцето се топи, колената треперат; сите чувствуваат болки во бедрата, а лицата им се потемнети.
11. Каде е лавот што грабаше за да им носи на лавчињата и им даваше на лавиците, полнејки ги со плен пештерите свои и леглата свои со грабеж?
12. Каде е сега леглото на лавовите и пасиштата на лавчињата, каде што одеа лав, лавица и лавче, и никој не ги плашеше?
13. Ете, Јас сум против тебе, вели Господ Саваот, и ке ги претворам во дим твоите бојни коли, и меч ке ги исече лавчињата твои, и ке го истребам од земјата грабежот твој; повеке нема да се чуе гласот на твоите пратеници.

Глава 3

1. Тешко му на крвничкиот град! Тој е полн со измама и убиства; грабењето не престанува во него.
2. Се слуша плускање на бичеви и трескот од тркала како и од потскокнување на бојни коли.
3. Коњаниците потскокнуваат, болскаат мечеви и светкаат копја. Многу убиени и купишта трупови! На труповите им нема крај; и се сопнуваат од нив.
4. Тоа сето е за многуте блудствувања на убавата на изглед развратница, вешта во магии, која со блудот свој продава народи, а со магиите - племиња.
5. Ете, Јас сум против тебе, вели Господ Саваот, ке ја кренам полата од твојата облека врз твоето лице и ке им ја покажам на народите твојата голотија, и на царствата - срамотиите твои.
6. Ќе нафрлам врз тебе нечистотии, ке те направам презрена, и ке те направам за приказ.
7. И секој, штом ке те види, ке побегне од тебе и ке рече: 'Разурната е Ниневија! Кој ке сака да ја пожали? Каде да најдам утешител за тебе?'
8. Зар не си подобра од Но - Амона, кој лежи ме у реки, опколен со вода, чиј окоп е морето, и тоа му служеше како ѕид.
9. Етиопија и Египет со безбројно множество лу е ти служеа како поткрепа; а тие ти идеа на помош со Коптите и Ливијците.
10. Но и тој е раселен, отиде во ропство; дури и децата му се здробени - по сите градски крстосници; а за првенците му фрлија жреб, и сите големци се во вериги оковани.
11. И ти така ке се опиеш и ке криеш; и ке бараш заклон од непријателите свои.
12. Сите твои градови се како смокви со зрели плодови: ако ги затресеш, ке паднат право во устата на оној што сака да ги јаде.
13. Ете, и народот твој во тебе се како жени: на непријателите твои ширум ке им се отворат портите на земјата, и оган ке ги проголта твоите резиња.
14. Зафати си вода за опсадата; зацврсти ги тврдините; влези во кал, гази глина, направи ја печката за печење тули.
15. Таму оган ке те проголта, меч ке те исече, ке те изеде како гасеница, макар и да сте се намножиле како гасеници, па и да сте се намножиле како скакулци.
16. Трговците при тебе се повеке од ѕвездите на небото; но тие како скакулците ке се распрскаат и ке одлетаат.
17. И кнезовите твои се како скакулци, а војводите - како рој мушички, кои во студено време се гнездат во пукнатини, а кога ке изгрее сонцето се разлетуваат, и нема да го распознаеш местото каде биле.
18. Спијат твоите пастири, царе асирски, почиваат твоите големци; твојот народ се распрснал по горите, и нема кој да ги прибере.
19. Нема лек за твојата рана, лута е раната твоја. Сите, што ке чујат за тебе, ке ракоплескаат, зашто врз кого ли не си ја протегнал твојата постојана злоба.

Хабакук

Глава 1

1. Пророчко видение што го имаше пророкот Авакум.
2. До кога, Господи, ке повикувам, а Ти не ме слушаш; викам кон Тебе поради насилството, а Ти не ме избавуваш?
3. Зошто ми дозволуваш да гледам злодејанија, и да гледам неволи? Грабежот и насилството се пред мене; се појавува непријателство, настанува раздор.
4. Поради тоа законот ја изгуби силата, нема веке праведен суд: нечестивиот го победува праведниот, и затоа судот се искривува.
5. Погледајте ме у народите, видете - и многу ке се зачудите и восхитите: зашто во ваше време Јас ке извршам такво дело, за кое вие не би поверувале, ако би ви раскажувале.
6. Оти Јас ке ги кренам Халдејците, народ жесток и необуздан, кој оди по ширините земни за да завладее населби, кои нему не му припа аат.
7. Тој е страшен и ужасен; тој самиот е и суд и власт.
8. Коњите негови се побрзи и од леопарди и поустремни од вечерни волци; коњицата негова се движи по разни страни; јавачи му доа аат од далечена, налетуваат како орли, што се спуштаа врз пленот.
9. Во групи тој оди по грабеж; го устремува лицето и тој заробува пленици како песок.
10. И со цареви се подигрува, а кнезовите му служат за подбив; над секоја тврдина тој се смее: засипува опсаден окоп и ја преземе.
11. Во таков случај духот му станува горд, оди и бујствува; силата негова му е бог.
12. Но, зар не си Ти од векот Господ Бог мој, Светецот мој? Ние нема да умреме! Ти, Господи, само за суд си го допуштил тоа. Карпо моја. За казна си го определил ова.
13. На чистите очи Твои не е својствено да гледаат злодејание и да гледаш угнетување Ти не можеш. Зошто гледаш злодејци и си безгласен, кога нечестивецот проголтува човек што е поправеден од него.
14. и ги оставаш лу ето како риба в море и како лазачи, кои немаат господар?
15. Сите тие со јадици ги лови, ги лови во мрежата своја, ги извлекува и ги собира на суво, па затоа се радува и весели.
16. Затоа на мрежата своја и принесува жртва и на торбата и кади со темјан, оти од нив делот му е мрсен и храната му е вкусна.
17. Па заради тоа ке сака ли да ја испразни мрежата своја и постојано да ги убива народите безмилосно?

Глава 2

1. Застанав на стража, и стојеки на кулата, набљудував за да разберам, што ке ми каже Он, и што да одговорам на укорот од Него.
2. Ми одговори Господ и ми рече: Запиши го видението и одбележи го на плочи јасно, та оној, што ке чита, да може да го прочита;
3. зашто видението се однесува до определеното време; тоа зборува за свршетокот и нема да излаже; па, и ако се забави, чекај го, оти ке наиде и нема да забави. Оној што иде, ке дојде.
4. И ете, гордата душа нема да се успокои, а праведникот преку вярата ке живее.
5. Гордиот човек, како незовриено вино, нема да се успокојува; тој ја раширува душата своја како пеколот, и ненаситен е како смртта; ги собира при себе сите народи и ги ограбува сите племиња.
6. Нема ли сите тие да го земат за приказ и да испеат иронична песна: 'Тешко му на оној што без мерка се збогатува, и тоа не со свое, за долго ли? И натрупува залози.'
7. Нема ли да станат наеднаш оние, што ке те измачуваат, и нема ли против тебе да се кренат грабители и ти ке им станеш за грабеж?
8. Бидејки си ограбил многу народи, и тебе ке те ограбат сите други народи, зашто си пролеал човечка крв, зашто си ја разорил земјата, градот и сите што живеат во него.
9. Тешко му на оној, што се лакоми кон неправедни печалби за домот свој, за да го изгради домот свој на високо и така да се запази од раката на злото.
10. Си смислил тај срам за домот свој, откако истребил многу народи, и си згрешил против душата своја.
11. Камењата од ѕидовите ке повикаат и стегите дрвени ке им одговорат:
12. 'Тешко му на оној кој ѕида град врз крв, и што гради тврдини врз неправда!'
13. Ете, не е ли тоа од Господа Саваот што народите се трудат за оган и племињата се измачуваат напразно?
14. Зашто земјата ке се исполни со славата Господова онака како што водите го исполнуваат морето.
15. Тешко му на оној што го пои ближниот свој со пијалок, измешан со злобата своја, за да ја види голотијата негова!
16. Ти си презаситен со срам место со слава; пиј, пак, и ти и покажи ја голотијата своја и кон тебе ке се сврти десницата Господова и срамот на славата твоја.
17. Зашто твоето злодејание на Ливан ке падне врз тебе, оти си истребувал уплашени животни, бидејки си пролевал човечка крв, си ги опустошувал земјата, градот и се што живее во него.
18. Каква корист има од резан лик, направен од уметник, од тој излеан лажен учител, макар што вајар, правејки неми идоли, ке се надева на делото свое.
19. Тешко му на оној, кој на дрво вели - ‘стани‘ - и на нем камен - ‘разбуди се‘. Ке научи ли тој некого на нешто? Ете, тој е опкован со злато и сребро, но здив во него нема.
20. Господ е во Својот свет храм: нека молчи целата земја пред лицето Негово!

Глава 3

1. Молитвата на пророкот Авакум - за пеење.
2. Господи, чув вест од Тебе и се уплашив. Господи, запази го делото Свое ме у години, објави го во текот на годините, а во гневот Свој сети се на милост.
3. Бог дојде од Теман и Светецот од гората Фаран. Величието Негово ги покри небесата, и славата Негова ја исполни земјата.
4. Болскотот Му е како сончева светлина, а од рацете Негови зрачи, и тука е скривалиштето на Неговата сила.
5. Пред лицето Негово врви поразија, а по стапките Негови ветар што гори.
6. Он стана и земјата се затресе; погледа - и во трепет ги доведе народите; одамнешни планини се распаднаа, првобитните ридови се урнаа; но патиштата Негови се вечни.
7. Натажени ги видов шаторите етиопски; се стресоа сениците на земјата Мадијамска.
8. Зар против реките, Господи, пламнал гневот Твој? Зар против реките е Твоето негодување, или, пак, против морето е јароста Твоја - па си седнал на коњите Свои, на победничките бојни коли?
9. Ти го извади лакот Свој според клетвениот завет, даден на колената, ја раздели земјата со реки.
10. Кога те видов, планините затрепе, водите навалија; бездната го пушти гласот свој и угоре ги крена рацете свои.
11. Сонцето и месечината застанаа на своето место пред болскотот на вперените стрели Твои, пред светкањето на сјајните копја Твои.
12. Во гнев одиш по земјата и во негодување ги газиш народите.
13. Ти излегуваш за спасение на народот Твој, за спасение на помазаникот Свој. Ти ја поразуваш главата на нечестивиот дом, оголувајќи го од петите до врвот.
14. Со копјата нивни Ти ја пронизуваш главата на нивните водачи, кога како виор се спуштаат да ме разбијат, радосни, оти мислеа дека скришум ке го проголтаа сиромавиот.
15. Со коњите Свои отвори пат преку морето, преку длабините на големите води.
16. Јас чув и внатрешноста моја затрепери, при гласот Твој затрепереија и усните мои, болка почувствував во коските мои, и местото под мене трепери; а јас требаше да бидам спокоен во денот на бедата, кога ке дојде гребителот против мојот народ.
17. Макар и да не процути смоквата, а и да нема плод по лозите, макар маслината и да откаже, и нивата да не даде плод, макар и овците да не останат во трлото, па и рогат добиток во оборите да нема,
18. јас и тогаш ке се радувам во Господа и ке се веселам во Бога на моето спасение.
19. Господ Бог е мојата сила: Он ке ги направи нозете мои како на елен и ке ме поведе по височините мои.

# Софонија

Глава 1

1. Словото Господово упатено до Софонија, синот на Хусија, син Годолиев, син Амориев, син Езекиин, во деновите на Јосија, син Амонов, цар јудејски.
2. Се ке истребам од земјата - вели Господ;
3. ке ги збришам лу ето и добитокот, ке ги истребам птиците небески и рибите морски и соблазните заедно со безбожниците; ке ги истребам лу ето од лицето на земјата, вели Господ.
4. И ке ја протегнам раката Своја врз Јудеја и врз сите жители на Ерусалим; ке ги истребам од тоа место остатоците на Ваала, името на жреците со свештениците,
5. и оние, кои на покривите се поклонуваат на небесната војска, и од поклониците оние што се колнат во Господа и се колнат во својот цар,
6. како и оние, што отстапија од Господа, не Го бараат Господа ниту прашуваат за Него.
7. Замолкни пред лицето на Господа Бога, зашто близу е денот Господен. Веке го приготви Господ жртвеното клање, определи и кого да повика.
8. Во денот на жртвата Господова Јас ке ги посетам кнезовите, синовите на царот и сите, што се облекуваат во облеки на другоплеменици;
9. ке ги посетам во оној ден сите, кои го прескокнуваат прагот, што го исполнуваат домот на својот Господ со насилство и измама.
10. И во тој ден, вели Господ, ке има вик при Рибните порти и ридање при другите порти, а и големо уривање на ридови.
11. Плачете жители од долниот дел на градот, оти ке исчезнат сите трговци; истребени ке бидат сите што носат сребро.
12. А во тоа време Јас ке го разгледам Ерусалим со светило и ке ги казнам оние, кои седат на своите стражарски места и велат во срцето свое: 'Господ не прави ни добро ни лошо';
13. пак ке станат богатствата нивни пљачка и куките нивни ке се запустат, и нема да живеат во нив; и ке насадат лоза, но вино нема да пијат од неа.
14. Близу е денот велик на Господа, близу е - и многу брза: веке и се слуша гласот на денот Господен. Со горчина ке завика тогаш дури и најхрабриот.
15. Тој ден е ден на гневот, ден на жалост и на тескоба, ден за запустување и уривање, ден на темнина и на мрак, ден облачен и маглив,
16. ден на труба и на боен повик против утврдените градови и високите кули.
17. И Јас ке ги притеснам лу ето, и тие ке одат како слепи, оти згрешија против Господа, и растурена ке биде крвта нивна како прав, и телата нивни како смет.
18. Ни среброто нивно, ниту златото нивно не ке може да ги спаси во денот на гневот Господен, а од огнот на ревноста Негова ке биде уништена таа земја, и тоа ке биде ненадеен крај на сите жители нејзини.

Глава 2

1. Приберете се, приберете се внимателно, народи необуздани,
2. додека уште не е дојден судот - денот ќе мине како трици, додека уште не е дојден врз вас пламнатиот гнев Господен, додека не настапил денот на јароста Господова.
3. Побарајте го Господа, сите смирени на земјата, вие што ги извршувате законите Негови; побарајте ја правдата, побарајте го смирението; можеби ќе се сокриете во денот на гневот Господен.
4. Оти Газа ќе биде напуштена и Аскалон ќе запусти, Азот ќе биде изгонет среде ден, а Екрон ќе се искорени.
5. Тешко им на жителите од приморскиот крај, на народот од Крит! Словото Господово е врз вас, Хананејци, земјо Филистејска! Јас ќе те истребам, и во тебе нема да има жители, -
6. па ќе стане приморскиот крај овчарска кошара и ограда за добиток.
7. И тој крај ќе му се падне на остатокот од домот Јудин, и ќе пасат таму и во куќите на Аскалон вечерта ќе ја поминуваат, зашто Господ, нивниот Бог, ќе ги посети и ќе им го поврати пленот одземен од нив.
8. Го чув хулењето од Моава и навредите од синовите Амонови, како се подигруваат со Мојот народ и како се шират во пределите негови,
9. Но жив сум Јас, вели Господ Саваот, Бог Израилев: Моав ќе биде како Содом, и синовите на Амона ќе бидат како Гомор, замја на коприви, соларник, пустиња за навек; остатокот од Мојот народ ќе ги плени, и оние што ќе останат од Мојот народ, ќе ги наследи.
10. Тоа ќе им биде за гордоста нивна, оти се подигруваа и се ширеа над народот на Господа Саваот.
11. Страшен ќе биде за нив Господ: Он ќе ги истреби сите земни богови, и Нему ќе Му се поклонат - сите од своите места, сите острови на народите.
12. И вие, Етиопјани, ќе бидете поразени од Мојот меч.
13. Господ ќе ја протегне раката своја на север, ќе го уништи Асур, а Ниневија ќе ја претвори во урнатина, во место суво како пустиња,
14. и стада ќе лежат по неа и секаков вид животни: пеликан и еж ќе ноќеваат во резбите и украсите; гласот нивни ќе се разнесува низ прозорците, уривањето ќе се покаже на столбовите од вратите, зашто на нив нема да има облоги од кедар.
15. Ете, што ќе стане прочуениот град, кој живееше безгрижно и во срцето свое си вели: 'Јас сум и нема друг освен мене.' Како ќе стане урнатина, легло за ѕверови! И секој што ќе помине покрај него, ќе потсвирне и ќе мавне со раката.

Глава 3

1. Тешко на непокорен, осквернет и насилнички град!
2. Не слуша глас, не прифака поука, не се надева на Господа, не се приближува до Својот Бог.
3. Кнезовите негови се како лавови што рикаат, судиите негови - вечерни волци, кои до утрината не оставаат ниту една коска.
4. Пророците негови се лу е лесномислени, неверни; свештениците негови ја осквернуваат светињата, ги газат законите.
5. Господ е праведен среде него, не врши неправда, секое утро го произнесува Својот суд на видело, но беззаконикот не знае за срам.
6. Јас ги истребив народите - разрушени им се тврдините; ги опустив улиците нивни, така што никој не оди по нив; разорени се градовите нивни: нема ниту еден човек, нема жител.
7. Јас реков: 'Бој се само од Мене, прими поука!' и нема да го постигне зло живеалиштето негово, какво што му бев определил; а тие грижливо се трудеа да ги расипат сите свои дела.
8. И така, чекајте Ме, вели Господ, до оној ден, кога ке се кренам на опустошување; зашто Јас одлучив да ги соберам народите, да ги свикам царствата, за да го излијам врз нив Моето негодување, сета јарост на Мојот гнев; зашто од огнот на јароста Моја ке биде уништена целата земја.
9. Тогаш Јас пак ке им дадам на чистите народи уста да го призовуваат името на Господа и да Му служат еднодушно.
10. Од краиштата отаде реката на Етиопија поклониците Мои - Моите растурени деца - ке Ми принесат дарови.
11. Во тој ден ти нема да се срамуваш за твоите неразумни постапки, со кои грешеше против Мене, оти тогаш Јас ке ги отстранам од твојата средина оние, кои залудо се фалеа со твојата слава, и нема повеке да се гордеат на Мојата света гора.
12. Но ке оставам среде тебе народ смирен и прост, и тие ке се надеваат на името Господово.
13. Остатоците од Израилот нема да вршат неправда, нема да зборуваат лага, и во устата нивна нема да се најде јазик сплеткарски, зашто сами ке си пасат и ке лежат, и никој нема да ги вознемирува.
14. Радувај се, керко Сионова, ликувај, Израиле, весели се и радувај се од се срце, керко ерусалимска:
15. Господ ја одмени пресудата над тебе, го изгони непријателот твој. Господ, Царот Израилев, е посреде тебе: нема повеке да видиш зло.
16. Во оној ден ке му речат на Ерусалим: 'не бој се' и на Сион 'да не заслабнат рацете твои.'
17. Господ, твојот Бог, е посреде тебе. Он е силен да те спаси; ке се развесели за тебе со радост, ке биде милостив според љубовта Своја, ке се гордее за тебе со песни.'
18. Оние што тагуваат за празнични торжества, Јас ке ги соберам; а тие се твои, врз нив лежи тежок укор.
19. Ете, Јас ке ги притеснам сите твои мачители во она време, ке го спасам она што е хромо, ке ги соберам расеаните и ке им дадам чест и слава по целата земја, каде што беа под срам.
20. Во она време ке ве доведам, во она време ке ве соберам вас, зашто ке ве направам прочуени и почитувани ме у сите народи на земјата, кога ке го вратам вашиот плен пред очите ваши, вели Господ.

Aгej

Глава 1

1. Во втората година на царот Дарија, во шестиот месец, на првиот ден во месецот, би слово Господово преку пророкот Агеј до Зоровавела, синот на Салатиила, управител на Јудеја, и до Исуса, синот Јоседеков, првосвештеникот.
2. Вака вели Господ Саваот: 'Овој народ говори: Уште не е дојдено времето, не е време сега да се гради дом Господен.'
3. И би слово Господово преку пророкот Агеј, велејки:
4. 'А за вас време ли е да живеете во своите украсени домови, кога е Светилиштето запустено?'
5. Затоа сега вака вели Господ Саваот: 'Свртете го срцето ваше врз вашите патишта.
6. Вие сеете многу а собирате малку; јадете, а не се заситувате; пиете, а не се напивате; се облекувате, но не се стоплувате; оној што печали пари, ги става во дупнато кесе.'
7. Така вели Господ Саваот: 'Свртете го срцето ваше кон патиштата свои.
8. Качете се на планината, донесете дрва и градете го храмот, и тоа ке Ми биде угодно, па ке се прославувам, вели Господ.
9. Мислите многу, а излегува малку, и што ке внесете дома, тоа Јас го раздувувам. Зошто? - вели Господ Саваот: Затоа што е домот Мој запустен, а вие пак трчате кон домот свој.
10. Па поради тоа небото се затвори и не ви дава роса и земјата не ви дава плодови.
11. Затоа повикав суша врз земјата, врз горите, врз житото, врз гроздовите, врз елејот и врз се што се ра а од земјата, и врз човекот и врз добитокот, и врз секој ваш рачен труд.'
12. И Зоровавел, Салатииловиот син, и Исус, синот на Јоседека, и сиот друг народ го послуша гласот на Господа, својот Бог, а и зборовите на пророкот Агеј, како гласник на нивниот Господ Бог, и народот се подуплаши од Господа.
13. Тогаш Агеј, гласникот Господов, испратен од Господа, му рече на народот: 'Јас сум со вас' - вели Господ.
14. И Господ го подигна духот на Зоровавела, синот Салатиилов, управителот на Јудеја, духот на Исуса, синот Јоседеков, првосвештеникот, и духот на сиот друг народ - и тие дојдоа и почнаа да го градат домот на Господа Саваот, својот Бог;
15. а тоа стана во дваесет и четвртиот ден од шестиот месец, во втората година на царот Дариј.

Глава 2

1. Во седмиот месец, на дваесет и првиот ден од месецот, би слово Господово преку пророкот Агеј:
2. 'Кажи им сега на Зоровавела, синот Салатиилов, управителот на Јудеја, и на Исуса, Јоседековиот син, првосвештеникот, и на другиот народ:
3. ‘Кој од вас останал што го видел овој храм во неговата поранешна слава, а како вие сега го гледате овој? Не е ли овој како ништо во вашите очи?
4. Но охрабри се сега, Зоровавеле, - вели Господ - ободри се, Исусе, сине Јоседеков, првосвештенику, охрабрете се сите народи овде - вели Господ - и работете, зашто Јас сум со вас', вели Господ Саваот.
5. 'Мојот завет, што го склучив со вас, кога излеговте од Египет, и Мојот Дух ке биде ме у вас: не плашете се!'
6. Оти вака вели Господ Саваот - уште еднаш - и ете, скоро ке се случи тоа - ке ги затресам небото и земјата, морето и сувото;
7. Ќе ги стресам сите народи - и ке дојде Оној, Кого Го бараат сите народи и ке се исполни овој Дом со слава', вели Господ Саваот.
8. 'Среброто е Мое и златото е Мое' - вели Господ Саваот.
9. 'Славата на овој последен храм ке биде поголема отколку на поранешниот - вели Господ Саваот; и на ова место ке му дадам мир', вели Господ Саваот.
10. На дваесет и четвртиот ден од деветтиот месец, во втората година на Дарија, би слово Господово преку пророкот Агеј:
11. 'Вака вели Господ Саваот - прашај ги свештениците за Законот и кажи -
12. 'ако некој би носел осветено месо во полата од облеката своја, и со полата би се допрел до леб, или до нешто варено или до вино, или до елеј, или до што годе друго јадење, дали би се осветило тоа?' Одговорија свештениците и рекоа: ‘не.‘
13. Потоа пак рече Агеј: 'Ако некој нечист од мртовец би се допрел до тоа, дали би станало тоа нечисто?' Одговорија свештениците и рекоа - ‘ке стане нечисто.‘
14. Тогаш рече Агеј - таков е и овој народ, такво е и ова племе пред Мене, вели Господ, и такви се сите дела на рацете негови! Па што и да принесувате, се ке биде нечисто.
15. А сега свртете го срцето на времето од овој ден наназад, кога уште не беше положен камен на камен во овој храм Господен.
16. Порано, доа але до крстина, што дава до дваесет мери и, ке се добиеле само десет; и до каца од педесет мери, а таа давала само дваесет мери.
17. Ве поразував со гламја и со млечка по житата и со град во сите работи на рацете ваши, но вие не се обрнавте кон Мене, вели Господ.
18. Свртете ги срцата ваши на времето од денес и наназад, од дваесет и четвртиот ден во овој деветти месец, од денот кога беше основан храмот Господен; обрнете ги срцата ваши:
19. Има ли уште во житниците семе? Досега ни лозата, ни смоквата, ни нарот, ни маслината не даваа плод; а од денес Јас ги благословувам.
20. И би слово Господово до пророкот Агеј по вторпат на дваесет и четвртиот ден од месецот, и беше речено:
21. 'Кажи му на Зоровавела, управителот на Јудеја: ке го затресам небото и земјата;
22. ке урнам престоли на царства незнабожечки, ке превртам бојни коли и оние што ке седнат во нив, и кутнати ке бидат и коњите и коњаниците нивни ке паднат, еден од мечот на другиот.
23. Во тој ден, вели Господ Саваот, ке те земам, Зоровавеле, сине Салтиилов, слуго Мој, вели Господ, и ке те држам како печат, бидејки те избрав.'

Захарија

Глава 1

1. На осмиот ден, во втората година на Дарија, би слово Господово до пророкот Захарија, синот Варахиев, син Адов, велејки:
2. 'Се разгневи Господ на татковците ваши со голем гнев;
3. затоа кажи им - 'вака вели Господ Саваот - 'обрнете се кон Мене,' - вели Господ Саваот - 'и јас ке се обрнам кон вас.
4. Не бидете како што беа татковците ваши, кон кои викаа поранешните пророци, велејки им - 'вака вели Господ Саваот - , одвратете се од лошите работи свои!' Но тие не послушаа, ниту внимаваа на Мене', вели Господ.
5. Каде се татковците ваши, па и пророците можат ли да живеат вечно?
6. Но зборовите Мои и наредбите Мои, што им ги заповедав на слугите Мои, пророците, зар не ги постигнаа татковците ваши? И тие се обракаа и велеа: како што беше определил Господ Саваот да постапи со нас според патиштата наши, и според делата наши, така и постапи.'
7. На дваесет и четвртиот ден од единаесеттиот месец - а тоа е месецот Шеват - во втората година на Дарија, би слово Господово до пророкот Захариј, синот Варахиев, син Адов:
8. Во текот на ноката видов - ете, еден маж на црвен коњ стои ме у мирти, што беа во долот, а зад него црвени, сиви и бели коњи,
9. па му реков - кои се овие, господине мој? А ангелот, кој зборуваше со мене, ми рече: ‘јас ке ти покажам кои се тие.
10. И одговори мажот што стоеше ме у миртите, и рече - ‘тоа се оние кои Господ ги испратил да ја обиколуваат земјата.‘
11. Тогаш тие му одговорија на ангелот Господен, кој стоеше ме у миртите, па му рекоа - ‘ете, ја обиколивме целата населена земја и таа е спокојна.‘
12. Им одговори ангелот Господен и им рече: 'Господи Седржителу, до кога нема да се смилуваш над Ерусалим и над градовите Јудини, на кои се гневиш, еве, веке седумдесет години?'
13. Тогаш во одговори на ангелот Господен, изрече Господ слова добри, слова утешни.
14. И им рече ангелот, кој зборуваше со мене: - извести и кажи - вака вели Господ Саваот - ‘ревнувам за Ерусалим и за Сион многу;
15. и негодувам со големо негодување против народите што живеат во спокој, оти Јас малку се разгневив, тие го засилаја злото.'
16. Затоа вака вели Господ: ‘Јас се обрнувам кон Ерусалим со милосрдност; во него ке се изгради Мојот дом, вели Господ Саваот, и земномерно јаже ке се протегне низ Ерусалим.
17. Извести го уште и за ова, и кажи - вака вели Господ Саваот: ‘Моите градови одново ке се исполнат со богатства, и Господ ке го утеши Сион и пак ке го избере Ерусалим.
18. Ги подигнав очите, а тоа, ете, четири рога.
19. И му реков на Ангелот, кој зборуваше со мене: што е ова? А тој ми одговори: ‘тоа се роговите што ги распрснаа Јуда, Израилот и Ерусалим.
20. Потоа Господ ми покажа четири дрводелци.
21. Пак реков: што ке прават овие? А тој ми рече: оние рогови се што го распрснаа Јуда, така што никој од нив не може да си ја подигне главата; и, ете, тие дојдоа да ги уплашат, да им ги скршат роговите на народите, кои подигнаат рог против земјата на Јуда за да ја распрснат.

Глава 2

1. И пак ги подигнав очите и видов: и, ете, еден маж, кој во раката имаше мерно јаже.
2. Го прашав каде ке одиш? Тој ми рече: одам да го измерам Ерусалим, за да видам колкава му е ширината и колкава му е должината.
3. Тогаш ангелот, што зборуваше со мене, излезе, а друг ангел му дојде во пресрет,
4. и тој му рече на оној: Побрзај и кажи му на оној млад човек - Ерусалим ке се насели по селата поради многуте лу е и добиток во него.
5. И Јас ке му бидам огнен ѕид, околу него, вели Господ, и ке се прославам во него.
6. Еј, еј! Бегајте од северната земја, вели Господ, зашто Јас ке ве соберам од четирите ветра небески, вели Господ.
7. Спасувај се Сионе, ти што живееш при керката Вавилонова.
8. Зашто така вели Господ Седржителот, Кој ме прати за слава при народите, што ве плачкосуваа: зашто кој ке се допре до вас, ке се допре до зеницата на окото Мое.
9. И, ете, Јас ке ја кренам раката Своја против нив, и тие ке станат плен на слугите свои.' Тогаш ке познаете дека Господ Саваот ме пратил.
10. 'Ликувај и весели се, керко Сионова, зашто ете, Јас ке дојдам и ке се населам во тебе', вели Господ.
11. И ке се приберат многу народи при Господа во оној ден и ке станат Негов народ. И Он ке се насели ме у тебе, и тогаш ке разбереш дека Господ Саваот ме пратил при тебе.
12. Тогаш Господ ке го земе во владение Јуда, Својот дел на светата земја, и пак ке го избере Ерусалим.
13. Нека молчи секоја плот пред лицето на Господа, зашто Он стана во облаците од Своето свето живеалиште.

Глава 3

1. Потоа ми го покажа тој Исуса, Големиот архиерej, Кој стоеше пред ангелот Господен, и сатаната, кој стоеше од Неговата десна страна, за да Му се противставува.
2. И му рече Господ на сатаната: 'Господ да те укори, Господ да ти забрани, Оној Кој го избра Ерусалим. Зар не е Он гламја истргната од оган?'
3. А Исус беше облечен во извалкана облека и стоеше пред ангелот,
4. кој им одговараше и на оние што стоеја пред него, и им рече: 'Соблечете ја од него извалканата облека; и нему лично: ете, ја отфрлив од тебе вината твоја и те облекувам во торжествена облека.'
5. Потоа рече: 'Ставете Му на главата чист кидар и - Му ставија на главата чист кидар и го облекоа во торжествена облека. А ангелот Господен стоеше.
6. И ангелот Господен, сведочејки, му рече на Исуса:
7. вака вели Господ Саваот: 'Ако одиш по патиштата Мои и ако бидеш Моја стража, ке му судиш на Мојот дом и ке ги вардиш дворовите Мои. И Јас ке ти дозволам да одиш ме у тие лу е што стојат овде.
8. Но, послушај, Исусе, голем архиереју, ти и браката твои, што се пред твоето лице, оти тие лу е се познати. Еве, Јас ке го доведам Својот слуга - Зачетникот.
9. Оти, ете, тој е каменот што го поставуавам пред Исуса, на тој единствен камен има седум очи; ете, Јас ке го изделкам на него ликот негов, вели Господ Саваот, и ке го простам гревот на оваа земја во еден ден.'
10. Во тој ден, вели Господ Саваот, ке се поканувате еден со друг под лозата и под смоквата.

Глава 4

1. И се врати оној ангел, кој зборуваше со мене, и ме разбуди, како што се разбудува човек од сон.
2. Па ми рече: што гледаш? Одговорив: еве, гледам свекник цел од злато и чашка за елеј врз него, а и седум кандилца на него и по седум чашенца за кандилцата, при врвот.
3. И две маслинки на него - една десно од чашката, а друга лево од неа.
4. Одговорив и му рекова на анеглот, кој говореше со мене - што претставува ова, господине?
5. И ангелот, што зборуваше со мене, одговори и ми рече: ‘зар не знаеш што е тоа? Му реков ‘не знам, господине мој.
6. Тогаш одговори и ми рече: ‘тоа е словото Господово кон Зоровавела, што кажува - не со војска не со сила, а со Мојот Дух, вели Господ Саваот.
7. Која си ти, планино голема, пред Зоровавела: Та ти си рамнина и он ке го изнесе каменот темелник во восклик: 'благодат, благодат врз него!'
8. И би слово Господово до мене:
9. рацете на Зоровавела ги поставија основите на овој дом: неговите раце и ке го завршат, и ти тогаш ке рабереш дека Господ Саваот ме прати при вас.
10. Оти, кој може да го омаловажи тој ден, кога радосно ке ја гледаат ѕидарската висулка во рацете на Зоровавела оние седум, а тоа се очите на Господа, што со поглед ја опфакаат целата земја?
11. Потоа одговорив и му реков: што значат оние две маслинки од десната и од левата страна на свекникот?
12. И пак почнав да му зборувам и му реков - што треба да означуваат оние две маслинени гранчиња, што се нао аат ме у двете златни цевчиња, кои од себе долеваат масло?
13. А тој ми рече: ‘зар не ти е познато што е тоа? Му одговорив: ‘не знам, господине мој.
14. Тогаш тој ми рече: ‘па тоа се двајцата помазаници со елеј, кои стојат пред Господа над целата земја.

Глава 5

1. Потоа пак ги подигнав очите и видов: а тоа лета свиток.
2. И ме праша тој: ‘што гледаш? Му одговорив: ‘гледам свиток како лета; должината му е дваесет лакти, а ширината десет лакти.
3. Тогаш ми рече: 'Тоа е проклетството што ке се излие врз целата земја; и секој што краде, ке се истреби, како што е напишано на едната страна; и секој што се колне лажно, ке се истреби - како што е напишано на другата страна.
4. Јас го пуштив - вели Господ - и тој ке влезе во домот на крадецот и во домот на оној, што се колне лажно во името Мое, и ке остане во домот негов, и ке ги истреби него, и дрвјата негови и камењата негови'.
5. Тогаш влезе ангелот, што зборуваше со мене, и ми рече - подигни ги очите пак и погледај - што е она што излегува?
6. А кога прашав: ‘што е тоа? он ми одговори: она што излегува е ефа мерна, па додаде, тоа е образот нивни по целата земја.
7. И, ете, одеднаш се издигна порче олово, а таму една жена седеше врз ефата.
8. Ми рече тој: таа жена е беззаконието, па ја фрли среде ефата, а при отворот и го фрли парчето олово.
9. И одново ги подигнав очите и видов: одеднаш се појавија две жени, и ветар имаше ме у крилјата нивни; а крилјата им беа како крилја на штрк; и ја кренаа тие ефата и ја понесоа угоре ме у земјата и небото.
10. Го прашав ангелот, што зборуваше со мене: каде ја носат таа ефа?
11. А тој ми одговори: - за да се изгради за неа дом во земјата Сенар, и кога ке биде се подготвено; тогаш таа ке биде однесена и поставена на своето место.

Глава 6

1. Пак ги подигнав очите свои и гледам: а таму, ете, излегуваат четири коли со коњи од еден дол ме у две планини, а тие планини беа од бакар.
2. Кај првата кола коњите беа црвеникави, кај втората црни;
3. кај третата кола коњите беа бели, а кај четвртата кола - сиви и силни.
4. Проговорив и му реков на ангелот, што зборуваше со мене: 'А што значи ова, господине мој?'
5. Ангелот одговори и ми рече: тоа се четирите небесни духа, кои излегуваат да се претставаат пред Господа над целата земја.
6. Враните коњи излегуваа кон северната страна, а белите одеа по нив, додека сивите коњи одеа кон јужната страна.
7. Излегоа и силните, па се впуштија да ја обиколат земјата; и он им рече: ‘обиколете ја земјата, и тие ја обиколија.
8. Тогаш тој ме повика и ми рече: ете, оние што отидоа кон северната страна, го успокоија духот Мој против северната страна.
9. И пак би слово Господово до мене:
10. земи од дојдените робја, од Халдеја, од Товија и од Једаја, и тргни истиот ден, па дојди во домот на Јосија, синот Софониев, каде што тие пристигнаа од Вавилон.
11. Земи од нив сребро и злато, па направи венци, и стави ги на главата на Исуса, синот Јоседеков, големиот архиереј,
12. и речи им: вака вели Господ Саваот: 'Ете, маж, името Негово е Зачетник, 'Он ке израсне од коренот свој и ке создаде храм Господен.
13. Он ке создаде храм Господен и ке се прослави, ке седне на престолот свој и ке биде владетел, ке биде и свештеник на престолот свој, и ке има согласност за мир ме у едниот и другиот.
14. А венци ке бидат за Хелема и Товија, за Једаја и Хена, синот Софониев, како спомен во храмот Господен.
15. И оддалеку ке дојдат лу е, што ке учествуваат во градењето, на храмот, и вие тогаш ке разберете, дека Господ Саваот ме испрати при вас, и сето тоа ке се изврши, ако искрено го послушате гласот на вашиот Господ Бог.

Глава 7

1. Во четвртата година на царот Дарија би слово Господово кон Захарија, на четвртиот ден од деветтиот месец - Хаслев,
2. кога Ветил ги испрати Сарацера и Регемелеха и придружниците нивни за да се помолат пред лицето на Господа
3. и да ги прашаат свештениците, што се нао аа во домот на Господа Саваот, и пророците, па да прашаат: ‘да плачеме ли во петтиот месец и да постиме ли, како што го правевме тоа, еве, веке многу години?‘
4. И би слово на Господа Саваот до мене:
5. ‘Кажи му на сиот народ од оваа земја и на свештениците вака: кога постевте и плачевте во петтиот и седмиот месец, и тоа цели седумдесет години, за Мене ли постевте, зар за Мене?
6. И кога јадевте и пиевте, зар не јадевте за себе и зар не пиевте за себе?‘
7. Зар истите зборови не ги кажуваше Господ преку поранишните пророци, кога Ерусалим беше населен и спокоен, а и градовите околу него, јужната страна и низината, кога беа населени?‘
8. И би слово Господово до Захарија:
9. вака зборуваше тогаш Господ Саваот: извршувајте суд праведен и имајте милост и сочувство кон својот брат;
10. вдовици и сираци, придојден и сиромав не злоставувајте и не мислите зло во срцата ваши еден против друг.
11. Но тие на сакаа да слушаат, и се одвратија од Мене; и ушите ги затнаа за да не слушаат.
12. И срцето го скаменија, за да не го пазат законот и зборовите што ги испракаше Господ Саваот преку Својот Дух до поранешните пророци; па затоа и ги постигна големиот гнев на Господа Саваот.
13. И како што викав Јас, а тие не слушаа, викаа и тие, но Јас не ги слушав, вели Господ Саваот.
14. па ги распрснав по сите народи, кои тие не ги познаваа, и оваа земја запусте по нив, така што никој не одеше ни напред ни назад по неа, и тие саканата земја ја претворија во пустиња.

Глава 8

1. И пак дојде слово од Господа Саваота:
2. вака вели Господ Саваот: 'Ревнував за Ерусалим и за Сион со голема ревност и со голем гнев ревнував за него'.
3. Така вели Господ: 'Ќе се обрнам кон Сион и ќе живеам во Ерусалим, и Ерусалим ќе се вика град на вистината, и гората на Господа Саваота ќе се вика - Света Гора'.
4. Така вели Господ Саваот - 'И пак старци и старички ќе седат по улиците на Ерусалим, секој со стапчето свое поради напреднатата возраст своја.
5. А и улиците на тој град ќе се исполнат со момчиња и девојки, кои ќе си играат по улиците негови'.
6. Вака вели Господ Саваот: 'Ако во очите на другите им биде чудно во тие дни, зар ќе биде тоа чудно и во очите Мои?' - вели Господ Саваот.
7. Вака вели Господ Саваот: 'Ете, Јас ќе го спасам Својот народ од источната страна и од западната;
8. ќе ги доведам, и тие ќе живеат во Ерусалим и ќе бидат Мој народ, и Јас ќе им бидам нивни Бог, во вистина и во правда'.
9. Така вели Господ Саваот: 'Поткрепете ги сега рацете свои вие, што ги слушате овие зборови од устата на пророците, кои беа при основањето на домот за Господа Саваота, за да се изгради храмот.
10. Оти пред оние дни немаше ни плата за човек ниту награда за трудот на животното; немаше спокојство од непријателите ни за оној што доа аше, ниту за оној што си одеше; и дозволував Јас секој човек да му е непријател на друг човек.
11. А сега за остатокот од овој народ Јас не сум веќе таков како во поранешните денови' - вели Господ Саваот.
12. Зашто селидбата ќе се врши во мир, лозата ќе го даде својот плод, замјата ќе го даде својот род, а и небесата ќе ја даваат својата роса; и сето тоа ќе го предадам на остатокот од овој народ.
13. И како што вие, доме Јудин и доме Израилев, бевте проколнати ме у народите, така ќе ве избавам, и вие ќе бидете благословени; не плашете се, рацете ваши нека се поткрепат!'
14. Оти така вели Господ Саваот: 'Како што бев определил да ве казнам, кога татковците ваши Ме прогневуваа - вели Господ Саваот - и не зажалив,
15. така пак определив во овие дни на Ерусалим да му направам добро и на домот Јудин; не бојте се!
16. Еве ги наредбите што треба вие да ги извршувате: зборувајте вистина еден на друг; праведно и миролубово судете при портите ваши.
17. Никој од вас да не му мисли зло на ближниот свој, и на посакувајте лажна клетва, зашто сето тоа Јас го мразам - говори Господ Севишниот.
18. И би слово до мене од Господа Саваота:
19. Вака вели Господ Саваот: 'Постот во четвртиот месец, постот во петтиот, постот во седмиот и постот во десеттиот месец за домот Јудин ќе бидат радост и голема веселба, сакајте ги вистината и мирот'.
20. Така вели Господ Саваот: 'Уште ќе доа аат народи и жители од многу градови,
21. и ќе дојдат жителите од еден град при жителите во друг град, - па ќе речат: да дојдеме да се помолиме пред лицето на Господа и да Го побараме Господа Саваота; тогаш секој ќе рече - ќе појдам и јас.
22. И ќе доа аат многу племиња и народи силни, за да го бараат Господа Саваота во Ерусалим и да се помолат пред лицето на Господа.
23. Така вели Господ Саваот: 'Во тие дни ќе се фаќаат по десет души од разни народи за полата од Јудеец и ќе речат - ќе појдеме со тебе, оти чувме дека Бог е со вас'.

Глава 9

1. Пророчкото слово на Господа е против земјата Хадрах, и во Дамаск ќе се задржи, зашто
окото Господово ги набљудува сите лу е, како и сите колена Израилеви;
2. тоа е и врз Емат, кој се граничи со него, и е врз Тир и Сидон, оти тие станале многу лукави.
3. Тир изградил тврдина, натрупал сребро како прашина, и злато како улична кал.
4. И, ете, Господ ќе го направи беден и ќе му ја скрши силата негова во морето, а и самиот ќе
биде истребен со оган.
5. Тоа ќе го види Аскалон, и ќе се уплаши, а и Газа - па и таа ќе затрепери многу, и Екрон, оти
ќе се засрами надежта негова: нема да има цар во Газа, и Аскалон нема да се насели.
6. Ту о племе ќе живее во Азот, и Јас ќе ја уништам гордоста на Филистејците.
7. Ќе ја извлечам крвта од устата нивна, нечистотијата од забите нивни и тие ќе паднат пред
нашиот Бог и ќе бидат како иљаданачалници во Јудеја, а Екрон ќе биде како Јевусеј.
8. Ќе поставам стража околу Мојот дом спроти војската, спроти оние, кои преминуваат натаму
и наваму, и нема повеќе да доа а непријател; оти сега Јас ќе го гледам со очите Свои.
9. Ликувај од радост, ќерко Сионова, извикувај, ќерко ерусалимска; ете, Царот твој доа а при
тебе, праведен е и со спасувачка сила, кроток, седнат на осле, рожба на ослицата.
10. Тогаш ќе ги истребам колите на Ефрема и коњите на Ерусалим, и ќе се скрши убојниот лак;
и Он ќе објави мир на народите, и царството Негово ќе се протега од море до море и од реката
до краиштата на земјата.
11. А што се однесува до тебе, Израиле, заради крвта на заветот Јас ги пуштив затворените од
ровот, каде што нема вода.
12. Враќајте се во тврдината вие затворените, кои се надевате! А сега што ќе воспоставам, ќе
ти дадам двојно.
13. Зашто како лак ќе го затегнам Јуда и лакот ќе го наполнам со Ефрема, па ќе ги подигнам
синовите твои, Сионе, против синовите твои, Еладо и тебе ќе те направам како меч јуначки.
14. Ќе се појави над нив Господ и како молскавица ќе излета стрелата Негова; ќе загрми
Господ Бог со трубата и ќе појде кон јужните бури со гласот на гневот Свој.
15. Господ Саваот ќе ги брани, и тие ќе истребуваат и ќе ги газат дури и камењата за праќи;
ќе пијат крв како вино; и ќе се наполнат како жртвени чаши, како аглите на жртвеникот.
16. И ќе ги спаси нивниот Господ Бог во оној ден, како стадо од Својот народ; оти тие ќе
заблескаат како камења на круна во земјата Негова.
17. О, колку голема ќе биде добротата негова и каква ќе биде убавината негова. Житото ќе ги
весели момците, и виното девојките.

Глава 10

1. Молете Го Господа за дожд во време благопријатно; Господ ќе светне со молскавица и ќе ви даде обилен дожд - зеленило во поле.
2. Зашто лажните гледачи зборуваат празни зборови, и вражачите гледаат лажливи работи и прикажуваат лажни соништа; тие утешуваат со празни зборови; затоа талкаат како овци, талкаат оти немаат пастир.
3. Против пастирите се распали гневот Мој, и јагнињата ќе ги пречекам; оти Господ Саваот ќе го посети стадото Свое, домот Јудин, и ќе го подготви како силен коњ за бој.
4. Од него ќе направи аголен камен, од него - клин, од него лак за бој, од него ќе излезат сите управници на народот.
5. И тие ќе бидат како јунаци што ги газат непријателите како улична кал, и ќе се борат, бидејќи Господ е со нив, и ќе ги посрамат јавачите на коњи.
6. Ќе го зацврстам домот Јудин и ќе го спасам домот Јосифов, и ќе ги вратам, оти Јас се смилив над нив, и тие ќе бидат како да не сум ги оставил: зашто Јас сум нивниот Господ Бог, и ќе ги чујам.
7. Како јунак ќе биде Ефрем; ќе се развесели срцето нивно како вино да пиеле, па ќе го видат тоа синовите нивни и ќе им се зарадува срцето нивно; во восхит ќе им биде тогаш срцето нивно во Господа.
8. Ќе дадам знак и ќе ги соберам, оти ги откупив; ќе бидат многубројни како и порано;
9. ќе ги раселам меѓу народите, но во далечни земји тие ќе се сеќаваат на мене и ќе живеат со децата свои, и ќе се вратат.
10. Ќе ги вратам од земјата Египетска и од Асирија ќе ги соберам; ќе ги доведам во земјата Галад и на Ливан, и не ќе има доволно место за нив.
11. Ќе преминат по морето и ќе ги поразат морските бранови; ќе пресушат сите длабини на реката, и ќе се смири гордоста на Асура, и скиптарот ќе биде одземен од Египет.
12. Ќе ги зацврстам во Господа, и тие ќе одат во името Негово, вели Господ.

Глава 11

1. Отвори ги, Ливане, портите свои и оган нека ги проголта кедрите твои.
2. Плачи, кипарисе, зашто падна кедарот, оти и великаните се опустошени; ридајте, дабови васански, бидејки е провалена непроодната гора.
3. Се слуша гласот од плачењето на паситрите, бидејки е опустошено нивното велелепие; се слуша риакњето на лавовите, оти е опустошена убавината на Јордан.
4. Така вели Господ Бог, мојот Бог: паси ги овците, определени за клање,
5. кои купувачите, без пречка ке ги колат, а продавачите ке им велат: 'нека е благословен Господ; се збогативме!' И паситрите нивни не ке ги жалат.
6. Зашто Јас веке нема да им проштевам на жителите од земјата, вели Господ; ете, ке ги предадам лу ето, секого во рацете на неговиот ближен и во рацете на неговиот цар, и тие ке ја поразуваат земјата, а Јас нема да ги избавувам од рацете нивни.
7. И ке ги пасам овците во земјата Хананска, определени за клање, овци навистина бедни. И ке земам два стапа, едниот ке го наречам - благоволение, а другиот - вериги; со нив ке ги пасам овците.
8. И ке истребам тројца од пастирите во еден месец и ке се одврати душата Моја од нив, оти и нивната душа ке се одврака од Мене.
9. Тогаш ке речам: нема да ве пасам; онаа што умира, нема умре, и која загинува, нека загине; и тие, пак, што ке останат нека се изедат една со друга.
10. И така ке го земам стапот Свој благоволение и ке го прекршам, за да го уништам заветот што го склучив со сите народи.
11. И тој ке биде уништен во оној ден, и тогаш ке разберат бедните овци, кои Ме очекуваат, дека ова е слово од Господа.
12. И ке им речам: ако ви е угодно, дајте Ми ја наградата Моја; ако, пак не - не давајте Ми ја; и тие Ми одредија плата триесет сребреници.
13. А Господ ми рече: стави ги во црковната каса - тоа е висока цена, со која ме оценија. И јас ги зедов тие триесет сребреници и ги фрлив во домот Господен за грнчарот.
14. Го скршив и Својот друг стап - вериги, за да го раскинам братството ме у Јуда и Израилот.
15. И ми рече Господ: земи си уште нешто од опремата пастирска.
16. Оти, ете, Јас ке поставам пастир на оваа земја, кој нема да се грижи за оние што загинуваат, нема да ги бара загубените и болните нема да ги лекува, здравите нема да ги храни, а месото од згоените ке го јаде, копитата, пак, ке им ги откинува.
17. Тешко му на овој мрзлив пастир, што го остава стадото! Меч ке му стои над раката негова и над неговото десно око! Раката наполно ке му се исуши, и десното око негово наполно ке потемнее.

Глава 12

1. Пророчко слово од Господа за Израилот. Господ, Кој го распна небото и ја основа земјата и му создаде на човекот дух, кој е во него, вели:
2. ете, Јас ке го направам Ерусалим како чаша за опивање на сите народи околни, а исто така и за Јуда во времето на ерусалимската опсада.
3. Во оној ден ке го направам Ерусалим како тежок камен за сите племиња; сите што ке го подигаат, ке се искилават, а ке се соберат против него сите народи земни.
4. Во оној ден, вели Господ, Јас ке го поразам секој коњ со лудост, а коњаникот негов - со безумие, додека врз домот Јудин ке ги отворам очите Свои; секој коњ пак, при народите ке го празам со слепило.
5. Тогаш кнезовите Јудини ке речат во срцата свои: моја сила се жителите на Ерусалим во Господа Саваот, нивниот Бог.
6. Во оној ден Јас ке ги направам кнезовите Јудини како запален јаглен ме у дрва и како огнено светило ме у снопови; тие ке ги истребат сите околни народи, и од десната и од левата страна, и Ерусалим ке биде одново населен на своето место - во Ерусалим.
7. И Господ ке ги спаси најнапред шаторите на Јуда, така што величието на домот Давидов и величието на ерусалимските жители да не се издига над Јуда.
8. Во оној ден Господ ке ги брани жителите на Ерусалим, и најслабиот ме у нив во оној ден ке биде како Давид, а домот Давидов ке стане како Божји дом, како ангел Господен пред нив.
9. Во оној ден ке ги истребам сите народи, што го напа аат Ерусалим.
10. А врз домот Давидов и врз жителите ерусалимски ке излијам дух на благодат и милост, и тие ке погледаат на Него, Кого тие го прободоа, и ке плачат за Него, како што се плаче за еднороден син, и ке жалат како што се жали за првороден.
11. Во оној ден ке се крене голем плач во Ерусалим, како плач на Хададримона во долината Мегидон.
12. И ке плаче земјата, секое племе посебно; племето на домот Давидов, и жените нивни одделно;
13. племето на Левија одделно, и жените нивни одделно; племето Симеоново одделно, и жените нивни одделно;
14. и сите други племиња, секое племе одделно, и жените нивни одделно.

Глава 13

1. Во оној ден ќе се отвори извор за домот Давидов и за жителите ерусамиски, за да се измијат од гревовите нивни и од нечистотијата.
2. Во оној ден, вели Господ Саваот, Јас ќе ги истребам имињата на идолите од оваа земја, и тие повеќе нема да се спомнуваат; ќе ги истребам и лажните пророци и нечистиот дух од оваа земја.
3. Тогаш, ако некој претскажува, татко му и мајка му, што го родиле, ќе му речат: ти не треба да живееш, зашто кажуваш лага во името на Господа; и ќе го убијат татко му и мајка му, кога тој ќе претскажува.
4. Во оној ден ќе се засрамат таквите претскажувачи, секој од кажувањето свое, кога ќе почнат да претскажуваат, и нема да се облекуваат во врекишта, за да лажат.
5. Тогаш секој ќе рече: јас не сум пророк, земјоделец сум, бидејќи некој ме направил роб од детството мое.
6. Но ќе му речат: а од што ти се белезите на рацете твои? Тој ќе одговори: од тоа што ме биеја дома оние што ме сакаа.
7. О, мечу, подогни се против Мојот пастир и против Мојот ближен, вели Господ Саваот: порази го пастирот, и овците ќе се распрснат! И Јас ќе ја свртам раката Своја против малите.
8. И по целата земја, вели Господ, два дела од неа ќе бидат истребени, ќе изумрат, а третиот ќе остане.
9. И тој трет дел ќе го минам низ оган, и ќе ги стопам како што се топи сребро, и ќе ги исчистам, како што се чисти злато; тие ќе го повикаат името Мое, и Јас ќе ги чујам; тоа е Мојот народ, а тие ќе речат: Господ е мој Бог!

Глава 14

1. Ете, настапува денот Господен кога ке го разделат ограбеното од тебе пред тебе.
2. Ќе ги соберам сите народи во војна против Ерусалим; градот ке биде преземен, и домовите разгребени; жените ке бидат обесчестени, половината од градот ке отиде во ропство; но останатиот народ нема да биде истребен од градот.
3. Тогаш ке излезе Господ и ке се сврти против тие народи, како што војуваше во борбен ден.
4. И ке застанат нозете Негови на Елеонската Гора во оној ден, што се нао а спроти Ерусалим од источната страна: и ке се расцепи Елеонската Гора од исток кон запад со многу голема долина и половината ке појде кон север, а втората половина кон југ.
5. И вие ке побегнете во долината на Моите гори, оти планинската долина ке се протега до Асил; а ке побегнете како што бегавте од земјотресот во деновите на Озија, царот Јудејски; и ке дојде Господ, мојот Бог, и сите светии со Него.
6. Во тој ден нема да има светила, светилата ке бидат премавнати.
7. Тој ден ке биде единствен, познат само на Господа; ниту ден, ниту нок - само приквечер ке се појави светлина.
8. Во тој ден ке потечат живи води од Ерусалим, половина кон источното море, а половина кон западното море; така ке биде и лете и зиме.
9. И Господ ке биде Цар над целата земја; во тој ден Господ ке биде единствен и името Негово - едно единствено.
10. Целата таа земја ке биде како рамнината од Гаваон до Ремон, јужно од Ерусалим, кој се извисил на местото свое и кој ке се насели од портите Венијаминови до местото на првите порти, до Агловите порти, и од кулата на Ананеила до царските визби.
11. И ке се населат во него, и проклетство нема да има повеке, а Ерусалим ке се нао а во безопасност.
12. И ете какво ке биде поразувањето, со кое Господ ке ги порази сите народи, кои војувале против Ерусалим - телото на секого од нив ке се исуши уште додека стои на нозете свои, и очите ке му се стопат во длабнатините, и јазикот ке му се исуши во устата негова.
13. И во тој ден ке завладее голем смут од Господа, така што еден друг ке се факаат за раката своја и секој ке ја подига раката своја против раката на ближниот свој.
14. Но и Јуда самиот ке војува против Ерусалим, и богатството на сите околни народи ке биде собрано: злато, сребро и облеки во голем број.
15. Таков пораз ке има и врз коњите и маските, камилите и ослите, и врз секаков добиток, што ке се нао а во куките нивни.
16. А потоа сите други што доа аат во Ерусалим, од сите народи, ке доа аат од година во година, за да се поклонат на Царот, на Господа Саваот, и да го празнуваат празникот Сеници.
17. И, ако некое од племињата земни не појде во Ерусалим, за да Му се поклони на Царот, на Господа Саваот, дожд нема да падне при нив.
18. И, ако племето египетско не тргне на пат и не дојде тука, и тоа нема да добие дожд, па ке го постигне пораз, со каков ги порази Господ оние народи, што не доа але да го празнуваат празникот Сеници.
19. Ете што ке стане за гревот на Египет и за гревот на сите народи, кои нема да дојдат да го празнуваат празникот Сеници.
20. Во тоа време дури на уздите од коњите ке биде забележано 'светиња на Господа', и котлите во домот Господен ке бидат како жртвените садови пред жртвеникот.
21. И сите котли во Ерусалим и во Јудеја ке бидат светиња на Господа Саваот, и ке доа аат сите што принесуваат жртва, ке ги земат и ке варат во нив, и нема повеке да има ниту еден Хананеец во домот на Господа Саваот во тој ден.

# Малахија

Глава 1

1. Пророчко слово од Господа до Израилот преку Малахија.
2. Ве засакав, вели Господ. А вие рековте: 'Во што си покажал милост кон нас?' Зар Исав не е брат на Јакова, вели Господ, но сепак Јас го засакав Јакова,
3. а Исава го замразив и ги предадов планините негови, за да се запустат, и пределите негови - на шакалите пустински.
4. Ако Едом рече - ние сме разорени, но ке се подигнеме сами, Господ Саваот вели - тие ке се подигнат, но Јас пак ке ги разурнам, и така ке ги наречат - нечесен крај и народ - на кој се разгневил Господ засекогаш.
5. И вие ке го видите тоа, па ке речете: се возвеличи Господ над пределите Израилеви.
6. Синот го почитува татка си, а робот - господарот свој; а ако сум Јас татко, тогаш каде е почитта кон Мене? И ако сум Јас Господ, тогаш каде е стравот пред Мене - вели Господ Саваот; вие свештениците, кои го презирате името Мое, велите: во што го презираме името Твое?
7. На жртвеникот Мој вие принесувате нечист леб, а велите, со што Те оскверуваме? - Со тоа што велите: трпезата Господова не залужува почитување.
8. И кога како жртва принесувате слеп добиток - не ли е тоа лошо, или кога принесувате хромо и болно, зар и тоа не е лошо? Ако го однесеш тоа на твојот кнез - ке биде ли тој задоволен од тоа и ке те прими ли со радост, вели Господ Саваот.
9. И така, молете Му се на Бога за да не помилува; но штом таква работа излегува од рацете ваши, ке може ли Он тоа милоствно да го прими, вели Господ Саваот.
10. Подобро е таков од вас да ја затвори вратата и да не се пали напразно оган на Мојот жртвеник. Не сте Ми мили, вели Господ Саваот, и не сакам да примам дар од вашите раце.
11. Зашто од сончев исток па се до запад името Мое ке стане големо ме у народите, и тие на секое место ке принесуваат темјан и чиста жртва; големо ке стане името Мое ме у народите, вели Господ Саваот.
12. А вие го хулите со тоа што велите - трпезата Господова не заслужува почитување и korиста од неа е мала.
13. А притоа велите уште: и ете колку голем труд, а можеше и без тоа, вели Господ Саваот; принесувате крадено, хромо и болно, а притоа принесувате уште и таков лебен дар: па можам ли со благонаклоност да го примам тоа од вашите раце, вели Господ Саваот.
14. Нека е проклет оној што лаже, оној кој во стадото свое има неповредено машко, а дал и завет, па во жртва на Господ Му принесува повредено; зашто Јас сум Цар голем и името Мое е страшно пред народите.

Глава 2

1. И така, за вас свештениците е ова заповед:
2. ако не послушате и не си ставите на срце, за да Му воздадете слава на името Мое, вели Господ Саваот, Јас ке испратам врз вас проклетство и ке ги проколнам вашите благослови, и веке проколнувам, бидејки вие не сакате ова да го примите на срце.
3. И, ете, јас ке ви го одземам трудот, и нечистотојата ке ви ја фрлам врз лицето ваше, нечистотиите од вашите празнични жртви, и ке ве исфрлам заедно со нив.
4. И тогаш ке познаете, дека Јас ја дадов таа заповед, за да го запазам заветот Мој со Левија, вели Господ Саваот.
5. Заветот Мој со него беше завет за живот и мир, и јас му го дадов за страв, и тој се боеше од мене и од името Мое се плашеше.
6. Законот на вистината беше на устата негова, и неправда не се најде на јазикот негов; во мир и правда тој одеше со Мене и многумина отстрани од грев.
7. Оти устата на свештенкот треба да разполага со знаење, и Законот го бараат од устата негова, бидејки тој е гласник на Господа Саваот.
8. А вие се отстранивте од овој пат, на многумина им послуживте како соблазан во Законот, го разрушивте заветот на Левија, вели Господ Саваот.
9. Затоа Јас ке ве направам презрени и понизени пред сиот народ, оти не ги запазивте патиштата Мои и во Законот гледате кој е кој.
10. Зар сите немаме еден и ист Отец? Нели Единиот Бог не создаде? Зошто тогаш вероломно постапуваме еден со друг, нарушувајки го на тој начин заветот на нашите татковци?
11. Вероломно постапува Јуда, и одвратност се врши во Израилот и во Ерусалим; Јуда ја оскверни светињата Господова, која требаше да ја сака, а освен тоа и се ожени со керка на ту бог.
12. Господ ке го истреби од шаторите на Јакова оној, кој прави така, кој е постојано на стража, кој одговара и принесува жртва на Господа Саваот.
13. А го правите и ова - го обливате со солзи жртвеникот Господов, плачејки и воздивнувајки, така што Он веке и не гледа на приносот и не ја прима жртвата за милост од рацете ваши.
14. Вие, пак, велите - зошто? Поради тоа што Господ беше сведок ме у тебе и жената од твојата младост, спрема која постапи вероломно, и ако ти е таа твоја помошничка и твоја законска жена.
15. Зар не го направи истото и еден друг, во кого имаше силен дух? А што направи тој? Тој сакаше да добие потомство од Бог. Па така, пазете го духот свој и никој да не ја изневерува жената од својата младост.
16. Ако, пак, ја напуштиш од омраза, вели Господ Бог Израилев, бесчестие ке си навлечеш на облеката своj, така вели Господ Саваот. Затоа пазете го духот свој да не постапувате вероломно.
17. Вие го разгневувате Господа со своите зборови, велејки: па со што го лутиме? Со тоа што велите - секој што прави зло, добар е пред очите на Господа и кон Него благоволи, а и каде е Бог, Кој право суди?

Глава 3

1. И ете, Јас ке го испратам ангелот Свој, и тој ке го приготви патот пред Мене, и ненадејно ке дојде во храмот Свој Господ, Кого Го барате, и Ангелот на заветот, кого вие го пожелувате; ете, Он иде, вели Господ Саваот.
2. Но кој ке го издржи денот на Неговото доа ање, и кој ке устои, кога ке се јави Он? Зашто Он е како оган, што растопува, и пепелница што чисти,
3. па ке седне Он да претпува и да чисти сребро, и ке ги очисти синовите на Левија и ке ги претопи како злато и како сребро, за да Му принесат жртва со правда.
4. Тогаш ке биде пријатна на Господа жртвата Јудина и на Ерусалим, како во старите времиња и како во поранешните години.
5. И ке дојде при вас за суд и ке биде брз извршител против вражачите и прељубодејците, и против оние кои лажно се колнат и ја задржуваат наградата на наемникот, ги измачуваат вдовиците и сираците, ги одбиваат придојдените, и од Мене не се бојат, вели Господ Саваот.
6. Оти сум Господ, Јас не се изменувам; затоа вие, синовите на Јакова, не бевте уништени.
7. Уште од деновите на вашите татковци отстапивте од наредбите Мои и не ги запазивте; обрнете се кон Мене, и Јас ке се обрнам кон вас, вели Господ Саваот. Вие, пак, ке речете, како да се обрнеме?‘
8. Може ли човек да краде од Бога? Но вие крадете од Мене. Ке речете: ‘што крадеме од Тебе? - од десетокот и од приносите.‘
9. Со проклетство сте проколнати, зашто Ме одбирате - вие и сиот народ.
10. Донесете ги сите десетоци пред вратите, па да има храна во Мојот дом, и барем во тоа испитајте Ме, вели Господ Саваот: зар нема да ги отворам отворите небески за да излијам благослов на вас, па да имате и на претек?
11. Заради вас ке им забранам на оние, што ги изедуваат плодовите земни, и лозата ваша во полето нема да остане без плод, вели Господ Саваот.
12. И блажени ке ве наречуваат сите народи, оти ке бидете земја пожелувана, вели Господ Саваот.‘
13. Дрски се зборовите ваши пред Мене, вели Господ Саваот. Прашувате: - што зборуваме против Тебе?
14. Велите: залудно е служењето на Бога, и каква корист имаме, ако ги пазиме наредбите Негови и одиме во жална облека пред лицето на Господа Саваот?
15. Ете, гордите ние ги сметаме за подобри: напредуваат оние што вршат беззаконие, па, иако Го искушуваат Господа, си останува незасегнати.
16. Но оние, кои се бојат од Бога, си велат еден на друг: Господ гледа и го пази тоа, и пред лицето Негово се пишува споменкинига за оние што се бојат од Бога и го почитуваат името Негово.
17. И тие ке бидат Мои, вели Господ Саваот, Моја сопственост во оној ден, што ке го приготвам, и ке го милувам како што татко го милува синот свој, кој му служи.
18. И тогаш повторно ке ја видите разликата ме у праведник и безбожник, ме у оној кој Му служи на Бога и оној кој не Му служи.

Глава 4

1. Зашто, ете, ке настапи ден, кој гори како печка; тогаш сите горди и оние, кои постапуваат нечесно, ке бидат како слама, и ке ги изгори денот оние што иде, вели Господ Саваот; и така, нема да остане од нив ни корен, ниту гранчиња.
2. А за вас, кои се боите од името Мое, ке изгрее сонцето на правдата, и исцеление ке има во зраците негови, и вие ке излезете и ке се разиграте како нахранети теленца;
3. и ке ги газите нечестивите, оти тие ке бидат прав под стапалата на нозете ваши во тој ден, што јас ке го приготвам, вели Господ Саваот.
4. Помнете го законот на Мојсеја, слугата Мој, кому му заповедав на Хорив за сиот Израил, како и - правилата и наредбите.
5. Ете, Јас ке го пратам при вас пророкот Илија, пред да настапи денот Господен - големиот и страшниот.
6. И тој ке ги обрне срцата на татковците - кон децата нивни, и срцата на децата кон татковците нивни, па кога ке дојдам, за да не ја поразам земјата со проклетство.

# Нов Завет

Матеј

Глава 1

1. Книга на родословието на Исус Христос, син на Давид, син на Авраам.
2. На Авраам му се роди Исак, на Исак му се роди Јаков, на Јаков му се родија Јуда и неговите браќа.
3. На Јуда му се родија Варес и Зара од Тамара, на Варес му се роди Есром, а на Есром му се роди Арам;
4. на Арам му се роди Аминадаб, на Аминадаб му се роди Насон, на Насон му се роди Салмон;
5. на Салмон му се роди Вооз од Рааб, на Вооз му се роди Овед од Рута, на Овед му се роди Јесеј;
6. на Јесеј му се роди царот Давид. На Давид му се роди Соломон од Уриевата жена.
7. На Соломон му се роди Робоам, на Робоам му се роди Авиј, на Авиј му се роди Асаф,
8. на Асаф му се роди Јосафат, на Јосафат му се роди Јорам, на Јорам му се роди Озија,
9. на Озија му се роди Јоатам, на Јоатам му се роди Ахаз, на Ахаз му се роди Хезекија,
10. на Хезекија му се роди Манасе, на Манасе му се роди Амос, на Амос му се роди Јосиј,
11. на Јосиј му се родија Јехониј и неговите браќа во времето на преселувањето во Вавилон.
12. По Вавилонската преселба, на Јехониј му се роди Салатиел, на Салатиел му се роди Зоробабел,
13. на Зоробабел му се роди Авиуд, на Авиуд му се роди Елијаким, на Елијаким му се роди Азор,
14. на Азор му се роди Садок, на Садок му се роди Ахим, на Ахим му се роди Елиуд,
15. на Елиуд му се роди Елеазар, на Елеазар му се роди Матан, на Матан му се роди Јаков,
16. на Јаков му се роди Јосиф, мажот и на Марија, која го роди Исус, наречен Христос.
17. И така, сите поколенија од Авраам до Давид се четиринаесет; и од Давид до преселбата во Вавилон четиринаесет поколенија; и од преселбата во Вавилон до Христос четиринаесет поколенија.
18. А раѓањето на Исус Христос стана вака: кога Неговата мајка Марија беше свршена за Јосиф, пред да заживеат заедно, се дозна дека е бремена од Светиот Дух.
19. А нејзиниот маж Јосиф, бидејќи беше праведен и не сакаше јавно да ја посрами, науми да ја напушти тајно.
20. Но штом тоа го науми, ете, Господов ангел му се јави насон и му рече: 'Јосифе, сине Давидов, не плаши се да ја земеш Марија за своја жена, зашто зачнатото во неа е од Светиот Дух.
21. Таа ќе роди Син и ти ќе Му го дадеш името Исус, зашто Тој ќе го спаси Својот народ од неговите гревови.'
22. А сето тоа стана за да се исполни она, што Господ го рече преку пророкот, кој вели:
23. 'Ете, девица ќе зачне и ќе роди Син, и ќе го наречат Емануел', кое преведено значи: Бог со нас!
24. А кога Јосиф се разбуди од сонот, стори така како што му заповеда Господовиот ангел и ја земе за своја жена.
25. И ја остави девица сѐ додека таа не роди Син, а тој Го нарече Исус.

Глава 2

1. А кога Исус се роди во Витлеем, во Јудеја, во деновите на царот Ирод, ете, мудреци од исток пристигнаа во Ерусалим,
2. и рекоа: 'Каде е Тој кој се родил како Цар на Евреите? Зашто ја видовме Неговата ѕвезда на исток и дојдовме да Му се поклониме.'
3. Кога го чу тоа, царот Ирод се вознемири, и целиот Ерусалим со него.
4. И ги собра сите првосвештеници и законициите од народот, па ги распрашуваше каде треба да се роди Христос.
5. А тие му рекоа: 'Во Витлеем, во Јудеја, зашто така е напишано од пророкот:
6. 'И ти, Витлееме, земјо Јудина, никако не си помал меѓу првенците Јудини, зашто од тебе ќе излезе Владетел, Кој ќе го води Мојот народ Израел.''
7. Тогаш Ирод ги повика тајно мудреците и внимателно го дозна од нив времето кога се појавила ѕвездата,
8. и испраќајќи ги во Витлеем им рече: 'Отидете и распрашајте се точно за Детето, а кога ќе Го најдете, јавете ми за да дојдам и јас да Му се поклонам.'
9. Откако го ислушаа царот, тие тргнаа, и ете, ѕвездата што ја видоа на исток, одеше пред нив додека не дојде и не застана над местото каде што се наоѓаше Детето.
10. И кога ја видоа ѕвездата, многу се зарадуваа.
11. Кога влегоа во куќата, го видоа Детето со мајка Му Марија, паднаа ничкум и Му оддадоа чест; ги отворија своите ковчежиња и Му принесоа дарови: злато, темјан и смирна.
12. И откако насон беа предупредени од Бог, да не се враќаат кај Ирод, по друг пат заминаа кон својата земја.
13. А кога си отидоа тие, ете, Господов ангел му се јави на Јосиф насон и му рече: 'Стани, земи Го Детето и мајка Му, бегај во Египет, и остани таму додека не ти јавам, зашто Ирод ќе Го бара Детето за да Го погуби.'
14. И тој стана, ги зеде ноќе Детето и мајка Му, и замина за Египет.
15. Таму беше сѐ до Иродовата смрт, за да се исполни реченото од Господ преку пророкот кој вели: 'Од Египет Го повикав Својот Син.'
16. Тогаш Ирод, кога виде дека е измамен од мудреците, се разгневи многу, па нареди и ги закла, во Витлеем и во целата негова околина, сите машки деца од две години и помали, според времето што точно го дозна од мудреците.
17. Така се исполни реченото од пророкот Јеремија кој рече:
18. 'Пискотници се слушаат во Рама, лелек и голема тага; Рахела ги оплакува своите деца, и не сака да се утеши, зашто ги нема веќе.'
19. А кога умре Ирод, ете, Господов ангел му се јави на Јосиф насон, во Египет,
20. и му рече: 'Стани, земи Го Детето и мајка Му и оди во земјата израелска, зашто умреа оние кои ја бараа душата на Детето.'
21. И тој стана, го зеде Детето и мајка Му, и дојде во земјата израелска.
22. Но кога чу дека во Јудеја царува Архелај, наместо татко му Ирод, се уплаши да отиде таму; та предупреден насон, замина во галилејските предели;
23. и откако дојде, се насели во градот наречен Назарет, за да се исполни реченото од пророците: 'Ќе се вика Назареќанец'.

Глава 3

1. Во тие денови дојде Јован Крстителот и проповедаше во јудејската пустина, велејќи:
2. 'Покајте се, бидејќи наближи небесното царство!'
3. Зашто тој е оној, за кого пророкот Исаија рече: 'Гласот на оној кој вика во пустината: 'Подгответе го патот на Господ, исправете ги Неговите врвици!''
4. А самиот Јован имаше облека од камилски влакна и кожен појас околу половината, а се хранеше со скакулци и див мед.
5. Тогаш доаѓаа кај него од Ерусалим, од цела Јудеја и од сета јорданска околина.
6. Тој ги крштаваше во реката Јордан, откако ги исповедуваа своите гревови.
7. Кога виде многу фарисеи и садукеи дека доаѓаат да ги крсти, им рече: 'Змиска породо, кој те предупреди да бегаш од гневот што доаѓа?
8. Принесувајте плодови достојни на покајание,
9. и не мислете да речете во себеси: 'Авраам е наш татко', зашто ви велам, Бог може од овие камења да му издигне чеда на Авраам.
10. Секирата веќе лежи при коренот на дрвјата; затоа секое дрво што не дава добар плод, се сече и се фрла в оган.
11. Јас ве крштавам со вода, за покајание, но Оној Кој доаѓа по мене, посилен е од мене; јас не сум достоен да Му ги понесам сандалите. Тој ќе ве крсти со Светиот Дух и оган.
12. Лопатата е во Неговата рака, и ќе го исчисти Своето гумно, ќе го собере Своето жито во амбарот, а плевата ќе ја запали со неизгаслив оган.'
13. Тогаш Исус пристигна од Галилеја, крај реката Јордан, кај Јован, за да биде крстен од него.
14. А Јован го одвраќаше, велејќи Му: 'Јас треба да бидам крстен од Тебе, а Ти доаѓаш кај мене?'
15. Исус му одговори: 'Дозволи го сега ова, зашто вака треба да ја исполниме сета праведност.' Тогаш тој Му дозволи.
16. А кога Исус беше крстен, веднаш излезе од водата. И ете, небесата се отворија и го виде како Божјиот Дух слегува како гулаб и се спушта над Него.
17. И ете, глас од небесата говореше: 'Овој е Мојот мил Син, Кој е по Мојата волја!'

Глава 4

1. Тогаш Духот Го одведе Исуса во пустината, за да биде искушуван од ѓаволот.
2. И откако постеше четириесет дни и четириесет ноќи, најпосле огладне.
3. Тогаш искушувачот Му пристапи и рече: 'Ако си Божји Син, заповедај им на овие камења да станат лебови!'
4. А Тој одговори, велејќи: 'Напишано е: 'Човекот не ќе живее само од леб, туку од секој збор што излегува од устата на Бог'.'
5. Тогаш ѓаволот го одведе во светиот град, Го постави на врвот на Храмот
6. и Му рече: 'Ако си Божји Син, фрли се долу; зашто напишано е: 'Ќе им заповеда на Своите ангели за Тебе', и 'ќе Те носат на раце, за да не Си ја удриш ногата на камен.'
7. Исус му рече: 'А напишано е и: 'Не искушувај Го Господ, твојот Бог'!'
8. Ѓаволот пак Го одведе на многу висока гора, Му ги покажа сите царства на светов и нивната слава,
9. и Му рече: 'Ќе Ти го дадам сето ова ако паднеш и ми се поклониш.'
10. Тогаш Исус му рече: 'Оди си, сатано, зашто напишано е: 'На Господ, твојот Бог, ќе Му се поклонуваш и само Нему ќе Му служиш!''
11. Тогаш ѓаволот Го остави и, ете, дојдоа ангели и Му служеа.
12. А кога чу дека Јован го затвориле, се повлече во Галилеја.
13. И откако го напушти Назарет, дојде и се насели во Капернаум, крај морето, во пределите на Зебулон и Нафталим,
14. за да се исполни она што беше речено преку пророкот Исаија:
15. 'Земјо Зебулонова и земјо Нафталимова, на пат кон морето, отаде Јордан, безбожна Галилејо;
16. народот кој седеше во темнина, виде голема Светлина, а на оние кои седеа во земјата под сенката на смртта, ним им болсна светлина.'
17. Оттогаш Исус почна да проповеда и да говори: 'Покајте се, зашто небесното царство се приближи!'
18. А кога одеше покрај Галилејското Море, виде двајца браќа: Симон, наречен Петар и брат му Андреј, како фрлаат мрежа во морето, зашто беа рибари,
19. па им рече: 'Тргнете по Мене и Јас ќе ве направам рибари на луѓе!'
20. А тие веднаш ги оставија мрежите и Го следеа.
21. И кога замина оттаму, виде други двајца браќа: Јаков, синот на Зебедеј и брат му Јован, во чун со татка им Зебедеј, како ги крпат своите мрежи, и ги повика.
22. А тие веднаш го оставија чунот и татка си, и тргнаа по Него.
23. Исус одеше по цела Галилеја, поучувајќи во нивните синагоги и проповедајќи го Евангелието за царството и исцелувајќи секаква болест и секаква немош меѓу народот.
24. Се разнесе глас за Него по цела Сирија, и ги доведоа кај Него сите болни кои страдаа од разни болести и маки, опседнати од демони, умоболни и парализирани, и Тој ги исцели.
25. И Го следеше голема толпа од Галилеја, Декапол, Ерусалим, Јудеја и отаде Јордан.

Глава 5

1. Кога ја виде толпата, се искачи на горатa, и откако седна, Му пристапија учениците,
2. па почна да поучува, велејќи:
3. 'Блажени се бедните во дух, бидејќи е нивно небесното царство!
4. Блажени се оние кои тагуваат, бидејќи ќе бидат утешени!
5. Блажени се кротките, бидејќи ќе ја наследат земјата!
6. Блажени се оние кои гладуваат и жедуваат за праведност, бидејќи ќе бидат задоволени!
7. Блажени се милостивите, бидејќи ќе бидат помилувани!
8. Блажени се чистите по срце, бидејќи ќе Го видат Бог!
9. Блажени се миротворците, бидејќи ќе бидат наречени Божји синови!
10. Блажени се оние кои се прогонувани заради праведност, бидејќи нивно е небесното царство!
11. Блажени сте кога ве навредуваат, прогонуваат и говорат лажно против вас, со секакви лоши изрази, заради Мене.
12. Радувајте се и веселете се, бидејќи голема е вашата награда на небесата, зашто така ги прогонуваа и пророците кои беа пред вас.
13. Вие сте солта на земјата, но ако солта се отсоли, со што ќе се осоли? Неа веќе за ништо не ја бива, освен да биде фрлена надвор и изгазена од луѓето.
14. Вие сте светлината на светот. Град кој е на рид, не може да се скрие;
15. ниту пак се пали свеќа за да се стави под вршник, туку на свеќник, и им свети на сите што се во куќата.
16. Така нека свети вашата светлина пред луѓето, за да ги видат вашите добри дела и да Го прослават вашиот Татко, Кој е на небесата.'
17. 'Немојте да мислите дека дојдов да ги укинам Законот и пророците! Не дојдов да ги укинам, туку да ги исполнам.
18. Зашто вистина ви велам, додека не исчезнат небото и земјата, ниту најмалата буква, ни цртичка, не ќе ги снема од Законот, додека не се исполни сè.
19. И така, кој ќе наруши една од овие најмали заповеди и така ги научи луѓето, ќе биде наречен најмал во небесното царство; а кој ги држи и поучува, ќе биде наречен голем во небесното царство.
20. Зашто ви велам, ако вашата праведност не ја надмине праведноста на законициите и фарисеите, нема да влезете во небесното царство.'
21. 'Сте чуле дека им било речено на претците: 'Не убивај! А кој ќе убие, ќе одговара пред судот.'
22. А Јас ви велам дека секој кој се срди на својот брат без причина, ќе биде виновен пред судот. А кој ќе му рече на братот свој 'празноглавец', ќе биде виновен пред врховниот суд. А кој ќе го нарече 'глупак', ќе биде виновен за во огнениот пекол.
23. И така, ако принесуваш дарување пред олтарот и вчасум се сетиш дека брат ти има нешто против тебе,
24. остави го таму својот дар пред олтарот и оди првин смири се со својот брат, па потем врати се и принеси го дарувањето.
25. Помири се со твојот тужител пред законот, додека си уште со него на пат, за да не те предаде на судијата, а судијата пак на извршителот, па да те фрлат в зандана.
26. Вистина ти велам: нема да излезеш оттаму додека не ја дадеш и последната пара.'
27. 'Сте чуле дека им било речено на претците: 'Не врши прељуба!'
28. А Јас пак ви велам дека секој кој гледа на жена со похота, веќе извршил прељуба со неа во своето срце.
29. Ако твоето десно око те наведува на грев, извади го и отстрани го од себе; зашто подобро е да загине еден дел од телото, отколку целото тело да ти биде фрлено во пеколот.
30. И ако твојата десна рака те наведува на грев, пресечи ја и отстрани ја од себе; зашто

подобро е да загине еден дел од телото, отколку целото тело да ти отиде во пеколот.'
31. 'Исто така било речено: 'Кој ќе ја остави својата жена, нека и даде разводна книга.'
32. А Јас ви велам дека секој што ја остава жената, освен за прељуба, ја принудува да врши прељуба, и оној што се жени со таква напуштена жена, врши прељуба.'
33. 'Уште сте чуле дека на претците им било речено: 'Не заколнувај се лажно, туку исполнувај ги пред Господ своите заклетви.'
34. А Јас ви велам: не заколнувајте се воопшто: ниту во небото, зашто тоа е Божји престол;
35. ниту во земјата, зашто е подножје на Неговите нозе; ниту во Ерусалим, затоа што е град на великиот Цар.
36. Не заколнувај се ниту во својата глава, зашто не можеш ниту едно влакно да направиш бело или црно!
37. Туку вашиот збор нека биде: 'да' - да, 'не' - не! Она што е повеќе од тоа, од злиот е.'
38. 'Сте чуле дека било речено: 'Око за око и заб за заб'.
39. А Јас пак ви велам: не противете му се на злото; но, ако некој те удри по твојот десен образ, сврти му го и другиот.
40. Ако некој сака да се суди со тебе и да ти ја земе кошулата, остави му ја и наметката.
41. Ако некој те принуди да одиш со него една милја, ти оди со него две.
42. Дај му на оној што ти бара, и не одбивај го оној што ти сака на заем.'
43. 'Сте чуле дека било речено: 'Љуби го својот ближен' и 'мрази го својот непријател'.
44. А Јас ви велам: Љубете ги своите непријатели и молете се за оние што ве прогонуваат;
45. за да бидете синови на вашиот Татко Кој е на небесата, бидејќи Неговото сонце изгрева над злите и над добрите, и Тој им дава дожд на праведните и на неправедните.
46. Зашто ако ги љубите оние кои ве љубат вас, каква награда имате? Зар истото не го прават и даночниците?
47. И ако ги поздравувате само своите браќа, што правите повеќе од другите? Зар не го прават истото и другите народи?
48. И така, бидете совршени како што е совршен вашиот небесен Татко.'

Глава 6

1. 'Внимавајте својата праведност да не ја вршите пред луѓето, за да ве видат; инаку ќе немате награда од вашиот Татко Кој е на небесата.
2. И така, кога даваш милостина, не фали се пред себе како што прават лицемерите по синагогите и по улиците, заради почести од луѓето. Вистина ви велам, само тоа им е наградата.
3. А ти, кога даваш милостина, нека не ти знае левицата што прави десницата,
4. за да остане твојата милостина во тајност, а твојот Татко Кој го гледа тоа што е тајно, ќе те награди.'
5. 'И кога се молите, не постапувајте како лицемерите кои сакаат да се молат, стоејќи по синагогите и на аглите од улиците, за да ги видат луѓето. Вистина ви велам, само тоа им е наградата.
6. А ти, кога се молиш, влези си во својата соба, и откако ќе ја затвориш вратата, помоли Му се на твојот Татко Кој е во тајност, а твојот Татко Кој го гледа тоа што е тајно, ќе те награди.
7. А кога се молите, не повторувајте празни зборови како другите народи, бидејќи мислат дека молитвата ќе им биде сослушана и исполнета, заради многуте зборови.
8. И така, не бидете како нив, зашто вашиот Татко знае што ви е потребно уште пред да Му се помолите.
9. Туку молете се вака: Татко наш, Кој си на небесата, нека биде свето Твоето име;
10. Нека дојде Твоето царство, нека биде Твојата волја на земјата,така како што е на небото;
11. нашиот насушен леб, дај ни го денес;
12. и прости ни ги нашите долгови, како што ние им ги простивме на нашите должници;
13. и не воведувај нѐ во искушение, но избави нѐ од лукавиот. Зашто Твое е царството, и силата, и славата, во век и веков. Амин!
14. Зашто, ако вие им ги простите на луѓето нивните престапи, вашиот небесен Татко ќе ви ги прости и вам.
15. Ако вие не им ги простувате на луѓето нивните престапи, ни вашиот Татко нема да ви ги прости вашите.'
16. 'А кога постите, не бидете стушени како лицемерите, зашто тие ги мурттат лицата, за да им покажат на луѓето дека постат. Вистина ви велам, само тоа им е наградата.
17. А кога постиш, изврши помазание на главата и измиј си го лицето,
18. за да не видат луѓето дека постиш, туку твојот Татко Кој е во тајност. А твојот Татко Кој го гледа тоа што е тајно, ќе те награди.'
19. 'Не собирајте богатства на земјата, каде што молецот и 'рѓата ги уништуват, и каде што крадци разбиваат и отимаат;
20. туку собирајте богатства на небото, каде што не ги уништува ни молец, ниту 'рѓа, и каде што крадци не разбиваат и не отимаат;
21. зашто, каде што е твоето богатство, таму ќе биде и твоето срце.'
22. 'Светилка на телото е окото. И така, ако твоето око е бистро, целото тело ќе ти биде осветлено;
23. но ако окото ти е зло, целото тело ќе ти биде мрачно. И така, ако светлината што е во тебе е темнина, колкава ли е темнината!'
24. 'Никој не може да им служи на двајца господари, зашто или едниот ќе го мрази, а другиот ќе го љуби; или ќе му биде приврзан на едниот, а другиот ќе го презира. Не можете да им служите и на Бог и на мамон.'
25. 'Затоа ви велам: не бидете загрижени за својата душа, за тоа што ќе јадете или што ќе пиете; ниту за своето тело, што ќе облечете. Зар животот не е повеќе од храната, и телото од облеката?
26. Погледнете ги небесните птици! Тие ниту сеат, ниту жнеат, ниту собираат во амбари, а сепак вашиот небесен Татко ги храни. Зар не сте многу повредни од нив?

27. Кој од вас може, грижејќи се, да му придодаде на својот раст еден лакот?
28. Зошто сте загрижени и за облеката? Погледнете ги полските кринови како растат: не се трудат, ниту предат.
29. а Јас ви велам дека ни Соломон, во сета своја слава, не се облече како еден од нив.
30. И ако Бог ја облекува така полската трева, што денес е тука, а утре ја фрлаат в печка, нема ли многу повеќе да стори за вас, о маловерни?
31. И така, не бидете загрижени, велејќи: 'Што ќе јадеме?' или: 'Што ќе пиеме?' или: 'Што ќе облечеме?'
32. Зашто сето тоа го бараат и другите народи, а вашиот небесен Татко знае дека сето ова ви е потребно.
33. Туку, барајте го најпрвин Божјото царство и Неговата праведност, а сето друго ќе ви се додаде.
34. И така, не бидете загрижени за утрешниот ден, зашто утрешниот ден ќе се грижи за себеси. На секој ден доволно му е неговото зло.'

Глава 7

1. 'Не судете, за да не бидете судени!
2. Зашто со каков суд судите, со таков ќе ви се суди; и со каква мера мерите, со таква ќе ви се мери.
3. Зошто ја гледаш раската во окото на твојот брат, а не ја забележуваш гредата во твоето око?
4. Или, како ќе му речеш на својот брат: 'Дозволи ми да ти ја извадам раската од твоето око', а, ете, во твоето око има греда?
5. Лицемеру, извади ја првин гредата од твоето око, па тогаш ќе можеш да гледаш јасно, за да ја извадиш раската од окото на својот брат.
6. Не давајте им го на кучињата она што е свето; ниту фрлајте ги своите бисери пред свињите, за да не ги изгазат под своите нозе, и да не ви се свртат и да ве раскинат.'
7. 'Посакајте и ќе ви се даде; побарајте и ќе најдете; почукајте и ќе ви се отвори.
8. Зашто секој кој посакува добива; кој бара наоѓа и на оној кој чука, ќе му биде отворено.
9. Или, кој е тој човек меѓу вас, што на својот син, ако му побара леб, ќе му даде камен?
10. Или, ако му побара риба, ќе му даде змија?
11. И така, ако вие кои сте зли знаете како да им давате добри дарови на своите чеда, колку повеќе добри нешта ќе им даде вашиот Татко, Кој е на небесата, на оние што Го молат?
12. Следствено, сѐ што сакате да ви прават луѓето, правете им и вие; зашто тоа е Законот и пророците.'
13. 'Влезете низ тесната порта! Зашто широка е портата и простран е патот што водат кон пропаст и мнозина се оние кои влегуваат низ неа.
14. Додека тесна е портата и тесен е патот што водат во живот и малкумина се оние што го наоѓаат.'
15. 'Чувајте се од лажните пророци кои ви доаѓаат во овча облека, а внатре се ненаситни волци.
16. Ќе ги препознаете по нивните плодови. Се бере ли грозје од трње, или смокви од чичка?
17. Па така, секое добро дрво раѓа добри плодови, а лошото дрво раѓа лоши плодови.
18. Не може добро дрво да дава лоши плодови, ниту лошо дрво да дава добри плодови.
19. Секое дрво ако не раѓа добри плодови се сече и се фрла в оган.
20. Значи, ќе ги препознаете по нивните плодови.'
21. 'Секој што Ми вели: 'Господи, Господи!' нема да влезе во небесното царство, туку оној кој ја врши волјата на Мојот Татко Кој е на небесата.
22. Во оној ден мнозина ќе Ми речат: 'Господи, Господи, не пророкувавме ли во Твое име, не изгонувавме ли демони во Твое име и не правевме ли моќни чуда во Твое име?'
23. А тогаш Јас ќе им изјавам: 'Никогаш не сум ве познавал. Одете си од Мене, вие, кои вршите беззаконие!'
24. И така, секој кој ги слуша овие Мои зборови и ги применува, ќе биде спореден со разумен човек кој ја изградил својата куќа врз карпа.
25. И заврна дожд, надојдоа реки, дувнаа ветрови и нагрвалија на куќата, но таа не се разурна, зашто беше втемелена врз карпата.
26. Секој, кој ги слуша овие Мои зборови, а не ги исполнува, ќе биде спореден со безумен човек, кој ја изградил својата куќа врз песок.
27. А кога заврна дожд, надојдоа реки, дувнаа ветрови и нагрвалија на таа куќа, таа се урна, а нејзиното уривање беше стравотно.'
28. Кога Исус ги заврши овие зборови, толпата беше восхитена од Неговото учење;
29. зашто ги поучуваше како Оној Кој има власт, а не како нивните законици.

Глава 8

1. Кога слезе од горaта, Го следеше едночудо народ.
2. И ете, еден лепрозен Му пристапи и падна пред Него ничкум, велејќи: 'Господи, ако сакаш, можеш да ме исчистиш.'
3. Тогаш Исус ја испружи раката и го допре, велејќи: 'Сакам! Биди исчистен!' И веднаш од него се исчисти лепрата.
4. А Исус му рече: 'Гледај, никому не кажувај, туку оди, појави му се на свештеникот и принеси го дарот што го заповедал Мојсеј, ним за сведоштво.'
5. А кога Исус влезе во Капернаум, Му пристапи еден стотник и Го преколнуваше, велејќи:
6. 'Господи, мојот слуга лежи парализиран дома и многу се мачи.'
7. Исус му рече: 'Ќе дојдам и ќе го исцелам.'
8. А стотникот како одговор му рече: 'Господи, не сум достоен да влезеш под мојот покрив, туку, кажи само збор и мојот слуга ќе биде исцелен.
9. Зашто и јас сум човек потчинет, а имам и војници под себе. И кога му велам на едниот: 'Оди!' тој оди; и на другиот: 'Дојди!' - и тој доаѓа; а на својот слуга: 'Направи го тоа!' - и тој го прави тоа.'
10. А кога Исус го чу тоа, се восхити и им рече на оние што Го следеа: 'Вистина ви велам, ни во Израел не најдов толкава вера.
11. Ви велам дека мнозина ќе дојдат од исток и од запад, и ќе прилегнат крај трпезата со Авраам, Исак и Јаков во небесното царство;
12. а синовите на царството ќе бидат фрлени во крајната темнина, каде што ќе има плач и чкртање со заби.'
13. Тогаш Исус му рече на стотникот: 'Оди си, нека биде според твојата вера.' И неговиот слуга оздраве во истиот час.
14. Кога дојде Исус во Петровиот дом, ја виде неговата тешта како лежи болна од треска.
15. Ја допре нејзината рака и треската ја остави, а таа стана и Го послужуваше.
16. А кога настапи вечерта, Му доведоа многу опседнати од демони. Тој со збор ги изгони духовите и ги исцели сите болни,
17. за да се исполни кажаното преку пророкот Исаија, кој вели: 'Тој ги зеде нашите немошти и ги понесе нашите болести.'
18. А кога Исус виде голема толпа околу Себе, заповеда да отпловат на другата страна.
19. А еден законик, пристапувајќи Му рече: 'Учителе, јас ќе Те следам каде и да одиш.'
20. А Исус му рече: 'Лисиците имаат дувла, а небесните птици гнезда, додека Синот Човеков нема каде да стави глава.'
21. Еден друг од Неговите ученици Му, рече: 'Господи, дозволи ми најнапред да отидам и да го погребам татко ми.'
22. А Исус му рече: 'Следи Ме и остави ги мртвите да ги погребуваат своите мртовци.'
23. Кога влезе во коработ, Неговите ученици тргнаа со Него.
24. И ете, голема бура се подигна на морето, така што брановите го покриваа коработ; а Тој спиеше.
25. И Му пристапија и Го разбудија, велејќи: 'Господи, спаси нè! Загинуваме!'
26. А Тој им рече: 'Зошто се плашите, маловерни?' Тогаш стана, ги прекори ветровите и морето, и сè стивна.
27. А луѓето се восхитија и рекоа:' Каков е Овој човек, та и ветровите и морето Му се покоруваат!?'
28. И кога дојде на другата страна, во гадаринската земја, Го сретнаа двајца опседнати од демони, кои излегоа од гробовите, крајно опасни, така што никој не можеше да помине по патот.
29. И ете, извикаа, велејќи: 'Што имаме ние со Тебе, Божји Сине! Дали дојде за да нè измачуваш предвреме?'

30. Недалеку од нив пасеше голем крдар свињи.
31. А демоните Го преколнуваа, велејќи: 'Ако нѐ изгониш, испрати нѐ да отидеме во крдарот свињи.'
32. Тој им рече: 'Одете!' А тие излегоа и отидоа во свињите; и ете, целиот крдар се сурна по карпата во морето и исчезна во водите.
33. А свињарите побегнаа и штом дојдоа во градот, разгласија за сѐ и за она што им се случи на опседнатите.
34. И ете, целиот град излезе да се сретне со Исус, и кога Го видоа Го преколнуваа да си отиде од нивниот крај.

Глава 9

1. Откако влезе во коработ, премина и дојде во Својот град. Тогаш Му донесоа парализиран човек, кој лежеше на постела.
2. А кога Исус ја виде нивната вера, му рече на парализираниот: 'Охрабри се, синко. Гревовите ти се простени.'
3. И ете, некои од закониците си рекоа во себеси: 'Овој хули на Бога.'
4. А Исус, знаејќи ги нивните мисли, рече: 'Зошто имате зли мисли во вашите срца?
5. Па што е полесно да се рече: 'Ти се простуваат гревовите', или да се рече: 'Стани и оди?'
6. Но, да знаете дека Синот Човеков има власт на земјата да простува гревови!' Потоа му рече на парализираниот: 'Стани, земи си ја постелата и оди си дома.'
7. И тој стана и си отиде дома.
8. А народот, кога го виде тоа, се восхити и Го прослави Бог Кој им дава таква власт на луѓето.
9. А кога Исус си одеше оттаму виде еден човек, по име Матеј, како седи на место каде што се собира данок, и му рече: 'Следи Ме!' Тој стана и тргна по Него.
10. И додека Тој беше прилегнат крај трпезата во куќата, ете, многу даночници и грешници дојдоа и јадеа со Исус и со Неговите ученици.
11. Штом фарисеите го видоа тоа, им рекоа на учениците: 'Зошто вашиот учител јаде со даночниците и грешниците?'
12. А Тој, кога го чу тоа, рече: 'На здравите не им треба лекар, туку на болните!
13. Одете и научете што значи: 'Милост сакам, а не жртви'; зашто не дојдов да ги повикам праведниците, туку грешниците.'
14. Тогаш Јовановите ученици дојдоа кај Него и рекоа: 'Зошто ние и фарисеите многу постиме, а Твоите ученици не постат?'
15. А Исус им рече: 'Можат ли сватовите да тажат, додека младоженецот е со нив? Но, ќе дојдат дни кога ќе им се отме младоженецот и тогаш ќе постат.
16. Никој не става алтица од ново платно на стара облека, зашто алтицата ја цепи облеката и дупката станува поголема.
17. Ниту пак ново вино се става во стари мешини; зашто мешините се кинат, виното истекува и мешините пропаѓаат. Туку ново вино се налева во нови мешини, па се запазуваат и двете.'
18. Додека им зборуваше за тоа, ете, еден старешина на синагогата дојде, падна пред Него ничкум и рече: 'Мојата ќерка пред малку умре, но дојди и стави ја Својата рака на неа и таа ќе оживее.'
19. Исус стана и заедно со учениците тргна со него.
20. И ете, жена, која боледуваше дванаесет години од крвавење, Му се приближи одзади и се допре до работ на Неговата наметка,
21. зашто си велеше во себеси: 'Само ако се допрам до Неговата облека, ќе оздравам.'
22. А Исус се сврте, ја виде и и рече: 'Охрабри се, ќерко. Твојата вера те исцели.' И жената беше исцелена во тој час.
23. Кога Исус дојде во куќата на старешината, ги виде свирачите и развревената толпа,
24. и рече: 'Отстапете, зашто девојчето не е умрено, туку спие.' А тие Му се потсмеваа.
25. Откако народот беше истеран, влезе и го фати девојчето за рака и тоа стана.
26. И гласот за тоа се рашири по сета земја.
27. Кога Исус си одеше оттаму, двајца слепи Го следеа, викајќи и зборувајќи: 'Смилувај ни се, Сине Давидов!'
28. А кога дојде во куќата, слепите Му пристапија, а Исус им рече: 'Верувате ли дека можам да го сторам тоа?' Тие Му рекоа: 'Да, Господи!'
29. Тогаш ги допре нивните очи, велејќи: 'Нека биде според вашата вера.'
30. И очите им се отворија. А Исус им заповеда строго: 'Гледајте никој да не дознае за ова!'
31. А тие, штом излегоа, го разгласија тоа по сета земја.
32. Додека излегуваа, Му доведоа човек нем и опседнат од демон.

33. Откако демонот беше изгонет, немиот прозборува. И народот восхитено зборуваше:
'Никогаш не било видено нешто вакво во Израел!'
34. Варисеите велеа: 'Тој ги изгонува демоните преку принцот на демоните.'
35. Исус одеше по сите градови и села, поучувајќи во нивните синагоги, навестувајќи го
Евангелието за царството, исцелувајќи секаква болест и секаква немош меѓу луѓето.
36. А кога го виде народот, беше трогнат од сожаление за него, зашто беше изморен и
раштркан како овци кои немаат пастир.
37. Тогаш им рече на Своите ученици: 'Жетвата навистина е голема, а работници има малку,
38. затоа молете Го Господарот на жетвата да испрати работници за Својата жетва.'

Глава 10

1. Ги повика Своите дванаесет ученици кај Себе и им даде власт над нечистите духови, да ги изгонуваат и да исцелуваат секаква болест и секаква немош.
2. А ова се имињата на дванаесетте апостоли: првиот Симон, наречен Петар и неговиот брат Андреј, па Јаков, синот на Зебедеј и брат му Јован,
3. Вилип и Бартоломеј, Тома и Матеј даночникот, Јаков синот на Алфеј и Тадеј,
4. Симон Кананеецот и Јуда Искариот, кој и Го предаде.
5. Исус ги испрати овие дванаесетмина и им наложи, велејќи им: 'Не одете кај неевреите, и не влегувајте во самаријански град;
6. туку, подобро одете кај изгубените овци на израеловиот дом.
7. И додека одите проповедајте дека се приближи небесното царство.
8. Исцелувајте болни, воскреснувајте мртви, исчистувајте лепрозни, изгонувајте демони; бесплатно добивте, бесплатно давајте.
9. Не носете ни злато, ни сребро, ниту бакар во вашите појаси;
10. ниту торба за пат, ни две облеки, ни обувки, ни стап, зашто работникот ја заслужува својата издршка.
11. А кога ќе влезете во кој и да било град или село, распрашајте кој е достоен во него и останете таму додека не заминете оттаму.
12. Кога ќе влезете во домот, поздравете го.
13. И ако навистина куќата е достојна, вашиот мир нека се спушти на неа, а ако не е достојна, вашиот мир нека ви се врати вам.
14. И ако некој не ве прими, ниту ги послуша вашите зборови, кога ќе излегувате од таа куќа или град, истресете го правот од вашите нозе.
15. Вистина ви велам, полесно ќе им биде на Содом и Гомора во судниот ден, отколку на тој град.'
16. 'Ете, Јас ве испраќам како овци меѓу волци. Затоа бидете мудри како змии и безопасни како гулаби.
17. Чувајте се од луѓето, зашто ќе ве предаваат на судовите и ќе ве камшикуваат во нивните синагоги.
18. Ќе бидете изведувани пред управители и цареви, заради Мене, за сведоштво на нив и на народите.
19. А кога ќе ве предаваат, не грижете се како или што ќе зборувате, бидејќи во оној час ќе ви биде дадено што треба да кажете;
20. зашто не сте вие тие кои зборувате, туку Духот на вашиот Татко, Кој зборува во вас.
21. И брат ќе предава брата на смрт, и татко - детето, и децата ќе станат против родителите и ќе ги убиваат.
22. И ќе бидете намразени од сите заради Моето име; но, кој ќе истрае докрај, ќе биде спасен.
23. Кога ќе ве прогонуваат во тој град, бегајте во друг; зашто вистина ви велам, нема да поминете низ сите израелски градови додека не дојде Синот Човеков.'
24. 'Ученикот не е над учителот, ниту робот над својот господар.
25. Доста му е на ученикот да стане како неговиот учител и на робот како неговиот господар. Ако стопанот на куќата го нарекоа Белзебул, колку повеќе неговите домашни?'
26. 'Затоа, не плашете се од нив, зашто нема ништо покриено што не ќе се открие, ниту скриено што не ќе се дознае.
27. Она што ви го говорам во темнина, кажете го во светлина; и она што ќе го чуете на уво, разгласете го од покривите.
28. И не плашете се од оние што го убиваат телото, а душата не можат да ја убијат. Туку плашете се повеќе од Оној Кој може да ги погуби и душата и телото во пеколот.
29. Не се продаваат ли две врапчиња за една пара? Сепак ниедно од нив не паѓа на земјата без вашиот Татко.

30. А вам ви се изброени дури и влакната на главата.
31. И така, не плашете се. Вие сте поскапи од многу врапчиња.'
32. 'И така, секој кој Ме признава Мене пред луѓето, ќе го признаам и Јас него пред Мојот Татко, Кој е на небесата.
33. А кој ќе се откаже од Мене пред луѓето, и Јас ќе се откажам од него пред Мојот Татко, Кој е на небесата.'
34. 'Не мислете дека дојдов да донесам мир на земјата. Не дојдов да донесам мир, туку меч.
35. Зашто дојдов да донесам непријателство меѓу човекот и неговиот татко, ќерката и нејзината мајка, снаата и нејзината свекрва,
36. а непријатели на човекот ќе бидат неговите домашни.
37. Кој љуби татко или мајка повеќе од Мене, не е достоен за Мене, и кој љуби син или ќерка повеќе од Мене, не е достоен за Мене;
38. и кој не го зема својот крст и не оди по Мене, не е достоен за Мене.
39. Кој ќе ја најде својата душа, ќе ја загуби; и кој ќе ја загуби својата душа заради Мене, ќе ја најде.'
40. 'Кој ве прима вас, Ме прима Мене, а кој Ме прима Мене, Го прима Оној Кој Ме прати.
41. Кој прима пророк во име на пророк, ќе прими пророчка награда; и кој прима праведник во име на праведник, ќе прими праведничка награда.
42. Кој ќе напои еден од овие малечкиве само со чаша студена вода, во име на ученик, вистина ви велам, никако нема да ја загуби својата награда.'

Глава 11

1. А кога Исус заврши со поучувањето на Своите дванаесет ученици, замина оттаму да поучува и да проповеда во нивните градови.
2. Кога Јован чу во занданата за делата на Христос, испрати двајца од своите ученици,
3. да Го прашаат: 'Ти ли си Оној Кој треба да дојде или да очекуваме друг?'
4. Исус им одговори, велејќи: 'Одете и јавете му на Јован за она што го слушате и гледате:
5. слепи прогледуваат и сакати одат, лепрозни се исчистуваат и глуви прослушуваат, мртви воскреснуваат, и на сиромашните им се проповеда Евангелието.
6. Блажен е оној кој не се соблазнува заради Мене.'
7. Кога тие си отидоа, Исус почна да му зборува на народот за Јован: 'Што излеговте да видите во пустината? Трска што ветрот ја лулее?
8. Што излеговте да видите? Човек облечен во мека облека? Ете, тие што носат меки облеки се во царските дворци.
9. Па зошто излеговте? Пророк ли да видите? Да, ви велам, и повеќе од пророк.
10. Овој е оној за кого е пишано: 'Еве, го праќам Мојот гласник пред Твоето лице, кој ќе го подготви Твојот пат пред Тебе.'
11. Вистина ви велам, меѓу родените од жена не се издигнал поголем од Јован Крстителот; но, најмалиот во небесното царство е поголем од него.
12. А од дните на Јован Крстителот досега небесното царство трпи насилство и насилниците го отимаат насила;
13. зашто сите пророци и Законот пророкуваа до Јован;
14. и ако сакате да прифатите, тој е Илија кој требаше да дојде.
15. Кој има уши нека чуе!
16. А со што да го споредам ова поколение? Прилега на деца кои седат по пазарите и им довикуваат на другарите,
17. велејќи:'Ви свиревме на свирка и не игравте, ви пеевме таговни песни и не тагувавте.'
18. Зашто дојде Јован, кој ниту јаде, ниту пие, а тие велат: 'Има демон!'
19. Дојде Синот Човеков, кој јаде и пие, па велат: 'Еве, човек лаком и пијаница, пријател на даночниците и на грешниците!' Сепак мудроста се оправда преку своите дела.'
20. Тогаш почна да ги прекорува градовите, во кои се случија најмногу Негови моќни дела, бидејќи не се покајаа.
21. 'Тешко тебе, Хоразине! Тешко тебе, Бетсаидо! Зашто ако во Тир и Сидон се случеа моќните дела, што се случија кај вас, одамна би се покајале во струнени вреќи и пепел.
22. Но, ви велам: полесно ќе им биде на Тир и Сидон во судниот ден, отколку вам.
23. А ти, Капернауме, кој се воздигна до небото, ќе слезеш до Адот. Зашто ако во Содом се случеа моќните дела што се случија во тебе, ќе останеше до ден денешен.
24. Но ви велам, на земјата Содомска ќе и биде полесно на судниот ден, отколку тебе.'
25. Тогаш Исус продолжи, велејќи: 'Ти благодарам, Татко, Господар на небото и на земјата, зашто го скри тоа од мудрите и разумните, а им го откри на простодушните.
26. Да, Татко, зашто така Тебе ти годеше.
27. Сè Ми е предадено од Мојот Татко, и никој не Го познава Синот, освен Таткото; ниту некој Го познава Таткото, освен Синот, и оној кому Синот сака да му открие.
28. Дојдете кај Мене сите што сте онемоштени и обременети, а Јас ќе ви дадам починка.
29. Земете го Мојот јарем на себе и научете се од Мене, зашто Јас сум кроток и понизен по срце; а вие ќе најдете починка за своите души,
30. зашто Мојот јарем е поднослив и Мојот товар е лесен.'

Глава 12

1. Во тоа време, Исус минуваше низ посевите во саботен ден; а Неговите ученици огладнеа и почнаа да кинат класје и да јадат.
2. А фарисеите штом го видоа тоа, Му рекоа: 'Гледај, Твоите ученици го прават она што не е дозволено да се прави во саботен ден.'
3. А Тој им рече: 'Зар не сте читале што стори Давид, кога огладне тој и оние кои беа со него?
4. Како влезе во Божјиот дом и го изеде изложениот леб, што не смееја да го јадат ни тој, ни неговите другари, туку само свештениците?
5. Или, зар не сте читале во Законот дека свештениците, во саботните денови во Храмот ја осквернуваат саботата и не се виновни?
6. Но Јас ви велам дека еден Поголем од Храмот е тука.
7. Ако знаевте што значи: 'Милост сакам, а не жртва', немаше да ги осудите невините,
8. зашто Синот Човеков е Господар на саботниот ден.'
9. А кога си замина оттаму, дојде во нивната синагога.
10. И ете, таму имаше еден човек со исушена рака и, за да Го обвинат, го прашаа велејќи му: 'Дозволено ли е да се исцелува во саботен ден?'
11. А Тој им рече: 'Кој од вас, ако има една овца, и таа падне во саботен ден во јама, не ќе ја фати и извади?
12. А колку поскап е човекот од овцата. Затоа, дозволено е да се прави добро во саботен ден.'
13. Тогаш му рече на човекот: 'Протегни ја раката!' Тој ја протегна и таа стана здрава како и другата.
14. А фарисеите излегоа надвор и се советуваа против Него како да Го погубат.
15. Но знаејќи го тоа, Исус си замина оттаму; а мнозина Го следеа и ги исцели сите,
16. но ги предупреди да не разгласуваат за Него,
17. за да се исполни кажаното преку пророкот Исаија, кој рече:
18. 'Еве Го Мојот слуга, Кого Го избрав; Мојот возљубен, во Кого мојата душа е задоволна. Ќе Го положам Мојот Дух на Него, а Тој ќе им објави суд на народите.
19. Нема да се препира, ниту ќе вика, ниту некој ќе го чуе Неговиот глас по улиците.
20. Нема да докрши поткршена трска, ниту ќе угасне фитил што тлее, додека не го изведе судот до победа.
21. А народите ќе се надеваат во Неговото име.'
22. Тогаш доведоа кај Него еден опседнат од демон, кој беше слеп и нем, а Тој го исцели, така што немиот прозборува и прогледа.
23. И сиот насобран народ се восхитуваше и зборуваше: 'Зар не е Овој Синот Давидов?'
24. А фарисеите, кога го слушнаа тоа, рекоа: 'Овој ги изгонува демоните само преку Белзебуб, принцот на демоните.'
25. Знаејќи ги нивните мисли, Исус им рече: 'Секое царство, поделено во себеси, запустува, и секој град или дом, кој е поделен во себеси, нема да опстане.
26. И ако сатаната изгонува сатана, тој се поделил во себеси, и како ќе опстане неговото царство?
27. И ако Јас ги изгонувам демоните преку Белзебуб, тогаш преку кого ги изгонуваат вашите синови? Затоа тие ќе ви бидат судии;
28. но, ако Јас ги изгонувам демоните преку Божјиот Дух, тогаш Божјото царство дошло врз вас.
29. Или, како може некој да влезе во куќата на силен човек и да му ја обере покуќнината, ако најнапред не го врзе силниот, па тогаш да му ја ограби куќата?
30. Кој не е со Мене, тој е против Мене; и кој не собира со Мене, растура.
31. Затоа ви велам: секој грев и хула ќе им се простат на луѓето, но хулата против Духот нема да биде простена.
32. И ако некој рече збор против Синот Човеков, ќе му се прости; но ако некој рече против

Светиот Дух, нема да му се прости ниту сега, ниту во иднина.'
33. 'Или направете го дрвото добро и неговиот плод добар; или направете го дрвото расипано, и неговиот плод расипан; зашто дрвото се познава по плодот.
34. Змиска породо! Како можете да зборувате добро кога сте зли? Зашто од изобилството на срцето зборува устата.
35. Добриот човек, од добрата ризница изнесува добри нешта; а злиот човек од злата ризница изнесува зли нешта.
36. И ви велам дека за секој празен збор што ќе го изговорат луѓето, ќе одговараат на судниот ден;
37. зашто по вашите зборови ќе бидете оправдани, и по вашите зборови ќе бидете осудени.'
38. Тогаш некои од законицитe и фарисеите Му одговорија, велејќи: 'Учителе, сакаме да видиме знак од Тебе.'
39. А Тој им одговори, велејќи: 'Злото и прељубничкото поколение бара знак, но нема да му се даде никаков знак, освен знакот на пророкот Јона.
40. Зашто, како што Јона беше во утробата на големата риба три дни и три ноќи, така и Синот Човеков ќе биде во срцето на земјата три дни и три ноќи.
41. Ниневјаните ќе се дигнат на суд со ова поколение и ќе го осудат, зашто се покајаа од проповедта на Јона, а еве, тука е еден поголем од Јона.
42. Царицата на југот ќе се крене на суд со ова поколение и ќе го осуди, зашто таа дојде од далеку, за да ја чуе мудроста на Соломон, а еве, тука е еден поголем од Соломон.'
43. Кога нечистиот дух излегува од човек, минува низ безводни места барајќи одмор, ама не го наоѓа.
44. Тогаш вели: 'Ќе се вратам во својот дом од каде што излегов.' И кога ќе дојде, го наоѓа празен, изметен и platен.
45. Тогаш оди и зема со себе седум други духови, полоши од себе и тие влегуваат и живеат таму, а последната состојба на тој човек станува полоша од првата. Така ќе биде и со ова зло поколение.'
46. Додека Тој сè уште му зборуваше на народот, ете, мајка Му и Неговите браќа стоеја надвор и сакаа да зборуваат со Него.
47. А некој Му рече: 'Еве, мајка Ти и Твоите браќа стојат надвор и сакаат да зборуваат со Тебе.
48. А Тој во одговор му рече на оној кој му го кажа тоа: 'Која е Мојата мајка и кои се Моите браќа?'
49. И ја протегна раката кон Своите ученици и рече: 'Еве ја Мојата мајка и Моите браќа; зашто, оној што ја врши волјата на Мојот Татко, Кој е на небесата, тој Ми е брат и сестра и мајка.'

Глава 13

1. Тој ден Исус излезе од куќата и седна крај морето.
2. И многу народ се собра околу Него, така што Тој влезе во кораб и седна, а луѓето стоеја на брегот.
3. Им говореше за многу нешта во споредби, велејќи: 'Ете, сејач излезе да сее,
4. и кога сееше, некои зрна паднаа крај патот, птици дојдоа и ги исколваа.
5. Други паднаа на карпести места, каде што немаше многу земја и набргу никнаа, зашто немаше длабока земја.
6. А кога изгреа сонцето изгореа, и бидејќи немаа корен се исушија.
7. Други паднаа меѓу трње, а трњето израсна и ги задуши.
8. Некои паднаа на добра земја и дадоа плодови: едно стократен, друго шеесет, а трето триесет.
9. Кој има уши нека чуе!'
10. Учениците Му се приближија и Му рекоа: 'Зошто им зборуваш во споредби?'
11. А Тој им одговори, велејќи: 'Затоа што вам ви е дадено да ги знаете тајните на небесното царство, а ним не им е дадено.
12. Зашто кој има, ќе му се даде и ќе има изобилство; а кој нема, ќе му се одземе и она што го има.
13. Затоа им зборувам во споредби, зашто гледаат, а не можат да видат и слушаат, а не можат да чујат, ниту пак разбираат.
14. И врз нив се исполнува пророштвото на Исаија, кое вели: 'Ќе слушате и нема да разберете; ќе гледате и нема да распознаете.
15. Зашто срцето на овие луѓе отапело; и со ушите одвај слушаат, ги затвориле очите; за да не гледаат со нив, ниту да слушаат со ушите, и да разберат со срцето и да се обратат, за Јас да ги исцелам.'
16. Но блажени се вашите очи, бидејќи гледаат и вашите уши, бидејќи слушаат.
17. Зашто вистина ви велам дека многу пророци и праведници посакуваа да го видат ова што го гледате вие, а не го видоа; и да го слушнат она што го слушате вие, а не го слушнаа.'
18. 'Затоа, чујте ја споредбата за сејачот.
19. Кога некој го слуша словото за царството, а не го разбира, тогаш доаѓа лукавиот и го граба тоа што е посеано во неговото срце; тоа е она што е посеано крај патот.
20. А посеаното на карпести места е оној што го слуша словото и веднаш го прима со радост,
21. но нема корен во себе и привремен е, а кога ќе настане невола или прогонство заради словото, веднаш се откажува.
22. А посеаното меѓу трње е оној кој го слуша словото, но грижите за светов и измамливото богатство го задушуваат словото и станува неплоден.
23. Додека посеаното на добра земја е оној кој го слуша словото и го разбира; тој кој навистина раѓа плод и донесува: еден - сто, друг - шеесет, а трет - триесет.'
24. Им претстави и друга споредба, велејќи: 'Небесното царство прилега на човек кој посеал добро семе на својата нива.
25. Но, кога луѓето спиеле, дошол неговиот непријател и посеал какол меѓу пченицата и си отишол.
26. А кога посевот порасна и донесе плод, тогаш се покажа и каколот.
27. Слугите на домаќинот пристапија и му рекоа: 'Господару, зар не посеа добро семе на својата нива? Тогаш, од каде е каколот?'
28. А тој им рече: 'Човек непријател го направи тоа.' Слугите пак му рекоа: 'Сакаш ли тогаш да одиме и да го исплевиме?'
29. А тој рече: 'Не, да не би собирајќи го каколот да ја откорнете со него и пченицата.
30. Оставете ги нека растат двете заедно до жетвата. А за време на жетвата ќе им кажам на жетварите: 'Соберете го најнапред каколот и врзете го во снопови, за горење, а житото

приберете го во мојот амбар'.'
31. И друга споредба им претстави, велејќи: 'Небесното царство прилега на синапово зрно, кое човек го зема и го сее на својата нива;
32. тоа е навистина најмало од сите семиња, но кога ќе порасне, поголемо е од сите градинарски растенија и станува дрво, па небесните птици доаѓаат и си прават гнезда на неговите гранки.'
33. Друга споредба им кажа: 'Небесното царство е слично на квас што го зема жена и го става во три мери брашно, сѐ додека не скисне сето.'
34. Сето ова Исус му го кажа на народот во споредби и без споредби ништо не говореше;
35. за да се исполни реченото преку пророкот, кој вели: 'Ќе им зборувам во споредби; ќе го објавам скриеното од настанувањето на светот.'
36. Тогаш го отпушти народот и влезе во куќата. А Неговите ученици дојдоа кај Него и рекоа: 'Објасни ни ја споредбата за каколот на нивата.'
37. А Тој им одговори, велејќи: 'Сејачот на доброто семе е Синот Човеков.
38. Нивата е светот, доброто семе, тоа се синовите на Царството, а каколот се синовите на злиот,
39. а непријателот што го посеа, е ѓаволот. Жетвата е крајот на времето, а жетварите се ангели.
40. Како што каколот се собира и се гори в оган, така ќе биде и при крајот на времето.
41. Синот Човеков ќе ги испрати Своите ангели. Тие ќе го соберат од Неговото царство сето она што наведува на грев и оние кои вршат беззаконие
42. и ќе ги фрлат во огнената печка; таму ќе има лелек и чкртање со заби.
43. Тогаш праведниците ќе болскотат како сонце во царството на својот Татко. Кој има уши, нека чуе!'
44. 'Небесното царство прилега на богатство скриено во нива, кое човекот го нашол и го скрил, па од преголема радост оди и продава сѐ што има, и ја купува нивата.'
45. 'Небесното царство прилега и на трговец кој бара убави бисери.
46. А кога ќе најде еден скапоцен бисер, оди и продава сѐ што има, и го купува.'
47. 'Небесното царство прилега уште и на мрежа фрлена во морето, која собира риби од секаков вид.
48. Кога ќе се наполни, ја извлекуваат на брегот и седнуваат, па ги собираат добрите во садови, а лошите ги фрлаат.
49. Така ќе биде и на крајот на времето; ангелите ќе излезат и ќе ги издвојат злите од праведните,
50. и ќе ги фрлат во огнена печка; таму ќе има лелек и чкртање со заби.'
51. Исус им рече: 'Дали го разбравте сето ова?' А тие Му рекоа: 'Да, Господи!'
52. А Тој им рече: 'Затоа секој законик, кој станал ученик на небесното царство, прилега на домаќин кој од својата ризница го изнесува новото и старото.'
53. А кога Исус заврши со споредбите, замина оттаму.
54. И откако дојде во своето родно место, ги поучуваше во нивните синагоги, а тие се чудеа и зборуваа: 'Од каде Му се на Овој оваа мудрост и моќни дела?
55. Не е ли овој синот на дрводелецот? Мајка Му не ли се вика Марија, а Неговите браќа: Јаков, Јосиф, Симон и Јуда?
56. И сите Негови сестри не се ли кај нас? Од каде Му е тогаш на Овој сето тоа?'
57. И се соблазнија од Него. А Исус им рече: 'Пророкот не е без чест, освен во својот роден крај и во својот дом.'
58. И не направи таму многу моќни дела, поради нивното неверување.

Глава 14

1. Во она време тетрархот Ирод ја чу веста за Исус
2. и им рече на своите слуги: 'Тоа е Јован Крстителот. Воскреснал од мртвите, и затоа моќните дела дејствуваат во него.'
3. Кога Ирод го фати Јована, го врза и го стави в зандана заради Иродијада, жената на својот брат Вилип,
4. бидејќи Јован му велеше: 'Не е според законот да ја имаш',
5. и иако сакаше да го убие, се плашеше од народот, зашто го сметаше за пророк.
6. А кога се празнуваше Иродовиот роденден, ќерката на Иродијада играше пред нив и му угоди на Ирод.
7. Затоа, тој со заклетва и вети дека ќе и даде што и да му побара.
8. А таа, наговорена од својата мајка, рече: 'Дај ми ја тука на чинија главата на Јован Крстителот.'
9. На царот му беше жал, но заради заклетвите и заради оние што седеа со него, заповеда да и ја дадат,
10. и испрати, па го обезглавија Јован во занданата.
11. Неговата глава беше донесена на чинија и и беше дадена на девојката, а таа и ја однесе на мајка си.
12. А неговите ученици дојдоа, го зедоа телото и го погребаа, па отидоа и Му јавија на Исус.
13. А кога го чу тоа Исус, замина оттаму со кораб, во пусто место, насамо. Но народот чу и Го следеше пеш од градовите.
14. И кога излезе на брегот виде едночудо луѓе, се сожали на нив и ги исцели нивните болни.
15. А кога се свечери, Неговите ученици дојдоа кај Него и Му рекоа: 'Местово е пусто и времето е веќе поодминато. Пушти ги луѓето да отидат по селата за да си купат храна.'
16. Но Исус им рече: 'Нема потреба да одат, дајте им вие да јадат!'
17. А тие Му рекоа: 'Овде немаме ништо, освен пет лебови и две риби.'
18. А Тој им рече: 'Донесете Ми ги тука.'
19. И заповеда луѓето да поседнат по тревата; ги зеде петте лебови и двете риби, погледна кон небото, ги благослови, ги раскрши лебовите и им ги даде на учениците, а учениците на луѓето.
20. И сите јадоа и се наситија, и ги дигнаа преостанатите парчиња, дванаесет полни кошеви.
21. А оние што јадеа, беа околу пет илјади мажи, покрај жените и децата.
22. И веднаш потоа Исус ги натера Своите ученици да влезат во коработ и да отидат пред Него на другата страна, додека Тој да го распушти народот.
23. И штом го распушти, се искачи на гората за да се моли насамо. Кога се свечери, таму беше сам.
24. Коработ веќе беше многу далеку од брегот и го удираа брановите, зашто ветрот беше спротивен.
25. Во четвртата ноќна стража Тој дојде кај нив, одејќи по морето.
26. Кога Го видоа како оди по морето, учениците се исплашија и рекоа: 'Тоа е привидение!' и извикаа од страв.
27. А Исус веднаш им проговори, велејќи: 'Охрабрете се! Јас Сум! Не бојте се.'
28. А Петар Му одговори и рече: 'Господи, ако си Ти, заповедај да дојдам кај Тебе по водава.'
29. Овој му рече: 'Дојди!' Петар слезе од коработ и тргна по водата кон Исус.
30. Но кога го виде силниот ветар, се исплаши, почна да тоне и извика, велејќи: 'Господи, спаси ме!'
31. А Исус веднаш ја испружи раката, го фати и му рече: 'Маловернику, зошто се посомнева?'
32. И кога влегоа во коработ, ветрот престана.
33. А оние што беа во коработ, дојдоа и Му се поклонија, велејќи: 'Навистина, Ти си Божјиот Син.'

34. И кога преминаа на другата страна, дојдоа во генисаретската земја.
35. И кога Го препознаа мажите од тоа место, разгласија по целата околина, па Му ги донесоа сите што беа болни,
36. и Го молеа да се допрат само до работ од Неговата наметка; и кој како ќе се допреше, оздравуваше.

Глава 15

1. Тогаш фарисеите и закониците од Ерусалим, Му пристапија на Исус и рекоа:
2. 'Зошто Твоите ученици ја престапуваат традицијата на старите? Бидејќи не си ги мијат рацете, кога јадат леб.'
3. А Тој одговарајќи им рече: 'Зошто и вие ја престапувате Божјата заповед, заради вашите традиции?
4. Зашто Бог заповеда: 'Почитувај ги таткото и мајката' и 'Кој зборува лошо за својот татко или мајка, нека биде казнет со смрт'.
5. А вие велите: кој ќе му рече на татко си или на мајка си: 'Она со што би можел да те помогнам, Му е подарено на Бога,
6. тој нема обврска спрема татка си или мајка си'. Така го укинавте Божјото слово заради вашите традиции.
7. Лицемери! Исаија добро пророкуваше за вас, велејќи:
8. 'Овој народ Ме почитува со усните, а нивното срце е далеку од Мене.
9. Попусто Ми се поклонуваат, поучувајќи учења кои се човечки повелби.''
10. И го повика народот и му рече: 'Слушајте и разберете!
11. Она што влегува во устата не го погани човекот, туку она што излегува од устата, тоа го погани човекот.'
12. Тогаш учениците Му се приближија и рекоа: 'Знаеш ли дека фарисеите се навредија кога го чуја тоа?'
13. А Тој им одговори и рече: 'Секое растение што не го насадил Мојот небесен Татко, ќе биде искорнато.
14. Оставете ги. Тие се слепи водачи на слепите, а ако слеп води слеп, обајцата ќе паднат в јама.'
15. А Петар изусти и Му рече: 'Објасни ни ја споредбата.'
16. На тоа Исус им рече: 'Зар вие сѐ уште не разбирате?
17. Не сфаќате ли дека сѐ што влегува во устата минува низ стомакот и се исфрла надвор?
18. А она што излегува од устата, произлегува од срцето и тоа го погани човекот.
19. Зашто од срцето произлегуваат зли мисли, убиства, прељуби, блудства, кражби, лажни сведоштва, хули.
20. Тие се нештата кои го поганат човекот. А јадењето со неизмиени раце не го погани човекот.'
21. Откако излезе оттаму, Исус се повлече во пределите на Тир и Сидон.
22. И ете, една жена, хананејка, се појави од тие краишта и извика кон Него велејќи: 'Смилувај ми се, Господи, Сине Давидов! Мојата ќерка е тешко опседната од демон.'
23. А Тој не и одговори со ниеден збор. Но Му се приближија Неговите ученици и Го молеа, велејќи Му: 'Избркај ја, зашто вика по нас.'
24. Но Тој одговори и рече: 'Јас Сум испратен само кај загубените овци на израеловиот дом.'
25. Таа повторно Му се приближи и поклонувајќи Му се рече: 'Господи, помогни ми!'
26. А Тој, одговарајќи и рече: 'Не е убаво да се земе лебот од децата и да им се фрли на кучињата.'
27. Но таа рече: 'Да, Господи, но дури и кучињата јадат од трошките што паѓаат од трпезата на нивните Господари.'
28. Тогаш Исус и одговори, велејќи: 'О, жено, голема е твојата вера. Нека ти биде како што посакуваш.' И нејзината ќерка беше исцелена во тој час.
29. Откако замина оттаму, Исус дојде покрај Галилејското Море, се искачи на гората и седна таму.
30. И нагрвалија на Него едночудо луѓе, кои носеа со себе: куци, сакати, слепи, неми и многу други, па ги положуваа при Неговите нозе, а Тој ги исцелуваше,
31. па гледајќи ги немите како прозборуваат, сакатите како оздравуваат, куците како одат и

слепите како гледаат луѓето се восхитуваа; и Го прославуваа Богот на Израел.
32. А Исус ги повика Своите ученици кај Себе, и рече: 'Исполнет Сум со сожаление спрема луѓево, зашто веќе три дни останаа со Мене и немаат што да јадат, а не сакам да ги отпуштам гладни, за да не премалат по патот.'
33. Учениците Му рекоа: 'Кај ќе најдеме во пустинава толку леб, за да наситиме олку многу луѓе?'
34. Исус им рече: 'Колку лебови имате?' Тие рекоа: 'Седум и неколку рипчиња.'
35. И им заповеда на луѓето да испоседнат наземи;
36. ги зеде седумте лебови и рибите, благодари, ги раскрши и им ги даде на учениците, а учениците пак на луѓето.
37. И сите јадоа и се наситија, и го собраа преостанатото од парчињата, седум полни кошеви.
38. А оние што јадеа, беа четири илјади мажи, покрај жените и децата.
39. И штом ги распушти луѓето, влезе во коработ и дојде во пределите на Магадан.

Глава 16

1. Дојдоа фарисеите и садукеите и, искушувајќи Го, побараа да им покаже знак од небото.
2. Но Тој одговори, велејќи им: 'Кога се свечерува, велите: 'Ќе биде ведро, зашто небото е црвено',
3. а наутро: 'Денес ќе има невреме, зашто небото е црвено и стушено.' Навистина знаете да го разликувате изгледот на небото, а знаците на времињата не можете!
4. Злото и прељубничкото поколение бара знак, но нема да му биде даден друг знак, освен знакот на пророкот Јона.' Та ги остави и си замина.
5. Неговите ученици преминаа на другата страна и заборавија да земат леб.
6. А Исус им рече: 'Внимавајте и чувајте се од фарисејскиот и садукејскиот квас!'
7. А тие расправаа меѓу себе, велејќи: 'Ова го вели зашто не зедовме леб.'
8. А Исус знаејќи го тоа, им рече: 'Маловерни, зошто расправате меѓу себе оти не зедовте леб?
9. Уште ли не сфативте и не помните ли за петте лебови на пет илјади души и колку кошеви собравте?
10. Ни за седумте лебови на четири илјади души и колку кошеви собравте?
11. Како не можете да разберете дека не ви зборувам за леб? Туку чувајте се од фарисејскиот и садукејскиот квас!'
12. Тогаш сфатија дека не им рече да се чуваат од лебниот квас, туку од фарисејското и садукејското учење.
13. А кога Исус дојде во околината на Цезареја Вилипова, ги праша учениците и рече: 'Што велат луѓето за Мене, Кој е Синот Човеков?'
14. А тие рекоа: 'Едни велат дека си Јован Крстителот, други дека си Илија, а трети пак дека си Еремија или еден од пророците.'
15. Тој им рече: 'А вие што велите, Кој Сум Јас?'
16. Одговори Симон Петар и рече: 'Ти си Христос, Синот на живиот Бог.'
17. Исус одговори, велејќи: 'Блажен си Симоне, сине Јонин, зашто тоа не ти го открија телото и крвта, туку Мојот Татко, Кој е на небесата.
18. А Јас пак ти велам дека си Петар, и на таа карпа ќе ја изградам Мојата црква и портите на Адот нема да ја надвладеат.
19. И ќе ти ги дадам клучевите на небесното царство, па сѐ што ќе сврзеш на земјата, ќе биде сврзано на небото, и што ќе разврзеш на земјата, ќе биде разврзано на небото.'
20. Тогаш ги предупреди Своите ученици да не кажуваат никому дека Тој е Христос.
21. Оттогаш Исус почна да им кажува на Своите ученици дека мора да замине за Ерусалим и многу да пострада од старешините, првосвештениците и закониците, да биде убиен и на третиот ден да воскресне.
22. А Петар Го тргна настрана и почна да Го прекорува, велејќи: 'Не дај Боже, Господи; тоа никогаш нема да Ти се случи!'
23. А Тој се обѕрна и му рече на Петар: 'Тргни се зад Мене, сатано! Ти си Ми соблазнив, зашто не ти е на ум она што е Божјо, туку она што е човечко.'
24. Тогаш Исус им рече на Своите ученици: 'Ако некој сака да тргне по Мене, нека се откаже од себеси, нека го земе својот крст и нека Ме следи.
25. Зашто, кој сака да ја спаси својата душа, ќе ја загуби, а кој ќе ја загуби својата душа заради Мене, ќе ја најде.
26. Зашто, каква полза ќе има човекот ако го придобие целиот свет, а ја загуби својата душа? Или што ќе даде човек во замена за својата душа?
27. Зашто Синот Човеков ќе дојде во славата на Својот Татко, со Своите ангели и тогаш секому ќе му возврати според неговите дела.
28. Вистина ви велам дека меѓу овие што стојат тука, има некои кои нема да вкусат смрт додека не Го видат Синот Човеков како доаѓа во Своето царство.'

Глава 17

1. По шест дни Исус ги зеде со Себе Петар, Јаков и неговиот брат Јован и ги изведе на висока гора, насамо.
2. И се преобрази пред нив, лицето Му болсна како сонцето, а Неговата облека стана бела како светлина.
3. И ете, им се јавија Мојсеј и Илија, и разговараа со Него.
4. А Петар одговори и Му рече на Исус: 'Господи, убаво ни е тука; ако сакаш ќе направам три сеници: една за Тебе, една за Мојсеј и една за Илија.'
5. Додека тој уште зборуваше, ете, ги засени светол облак, а глас од облакот велеше: 'Овој е Мојот возљубен Син, Кој е по Мојата волја; слушајте Го Него!'
6. А кога учениците го чуја тоа, паднаа ничкум и многу се исплашија.
7. Исус се приближи до нив, ги допре и им рече: 'Станете и не бојте се!'
8. А кога ги подигнаа своите очи, не видоа никого, туку само Исуса.
9. Додека слегуваа од гората, Исус им заповеда, велејќи: 'Не кажувајте му никому за ова видение, додека Синот Човеков не воскресне од мртвите.'
10. А учениците Го прашаа, говорејќи: 'Зошто тогаш закониците велат дека најнапред мора да дојде Илија?'
11. А Тој им одговори, велејќи: 'Навистина прво треба да дојде Илија и сѐ да возобнови.
12. Но, ви велам, дека Илија веќе дојде и не го препознаа, туку со него направија сѐ што сакаа. Така и Синот Човеков ќе пострада од нив.'
13. Тогаш учениците разбраа дека им зборуваше за Јован Крстителот.
14. Кога дојдоа кај народот, еден човек Му пристапи, падна на колена пред Него и рече:
15. 'Господи, смилувај му се на мојот син, зашто е месечар и се мачи многу, честопати паѓа во огнот и често во водата.
16. Го доведов кај Твоите ученици, а тие не можеа да го исцелат.'
17. Исус му одговори и рече: 'О, неверен и опак роде! До кога ќе бидам со вас? До кога ќе ве трпам? Доведете Ми го тука.'
18. И Исус го прекори, а демонот излезе од него, и момчето вчасум беше исцелено.
19. Тогаш учениците дојдоа кај Исус насамо и рекоа: 'Зошто ние не можевме да го истераме?'
20. А Тој им рече: 'Заради вашето неверие; зашто, вистина ви велам, ако имате вера колку синапово зрно, ќе и речете на оваа гора: 'Премести се оттука таму!', и ќе се премести. Ништо не ќе ви биде невозможно.
21. А овој вид не излегува инаку туку преку молитва и пост.'
22. Додека беа собрани заедно во Галилеја, Исус им рече: 'Синот Човеков ќе биде предаден во човечки раце,
23. ќе Го убијат и на третиот ден ќе воскресне.' А тие многу се нажалија.
24. Кога дојдоа во Капернаум, собирачите на дводрахми, Храмовиот данок, му пристапија на Петар и му рекоа: 'Зарем вашиот Учител не дава дводрахми?'
25. Тој рече: 'Дава.' И кога влезе во куќата, Исус го испревари, велејќи: 'Што мислиш, Симоне, земните цареви од кого земаат царина или данок, од своите синови или од туѓите?'
26. Откако Петар Му рече: 'Од туѓите,' Исус му рече: 'Значи, синовите се слободни.
27. Но за да не ги навредиме, оди до морето, фрли јадица и земи ја првата риба што ќе ја фатиш, а кога ќе и ја отвориш устата ќе најдеш статир. Земи го и дај им го за тебе и за Мене.'

Глава 18

1. Во тој час учениците дојдоа кај Исус и го прашаа: 'Кој е, всушност, најголем во небесното царство?'
2. А Тој викна едно дете кај Себе, го постави сред нив
3. и рече: 'Вистина ви велам, ако не се преобратите и станете како деца, нема да влезете во небесното царство.
4. И затоа, секој што ќе се понизи себеси како ова дете, ќе биде поголем во небесното царство.
5. И секој кој прима такво дете во Мое име, Мене Ме прима.'
6. 'А кој ќе наведе на грев едно од овие мали кои веруваат во Мене, за него поарно е да му се обеси воденички камен на вратот и да потоне во морската длабочина.
7. Тешко му на светот од соблазни! Зашто неизбежно е соблазните да дојдат, но тешко му на оној човек, преку кого ќе дојдат соблазните!
8. Ако твојата рака или твојата нога те наведува на грев, отсечи ја и фрли ја од себе; подобро е за тебе да влезеш во животот осакатен и куц, отколку имајќи две раце или две нозе да бидеш фрлен во вечниот оган.
9. И ако те наведува на грев твоето око, извади го и фрли го; подобро е за тебе да влезеш во животот со едно око, отколку имајќи две очи да бидеш фрлен во огнениот пекол.'
10. 'Гледајте да не презрете некое од малечкиве; зашто ви велам дека нивните ангели на небесата постојано Го гледаат лицето на Мојот Татко, Кој е на небесата.
11. Зашто Синот Човеков дојде да го спаси она што е изгубено.
12. Што мислите? Ако некој човек има сто овци и едната од нив скитне, не ќе ги остави ли деведесет и деветте во планините и не ќе ли ја бара заскитаната?
13. И ако се случи да ја најде, вистина ви велам дека ќе и се радува повеќе отколку на деведесет и деветте што не скитнале.
14. Па така, не е волјата на вашиот Татко Кој е на небесата да загине ни едно од малечкиве.'
15. „Ако ти згреши брат ти, појди и искарај го насамо. Ако те послуша, си го придобил брата си.
16. Ако пак не те послуша, земи со себе уште еден или двајца, па од устата на двајца или тројца сведоци нека се потврди секој збор.
17. А ако не ги послуша нив, кажи и на црквата; па ако не ја послуша и црквата, нека ти биде како неверник и како даночник.
18. Вистина ви велам, сѐ што ќе сврзете на земјата, ќе биде сврзано на небото и сѐ што ќе разврзете на земјата, ќе биде разврзано на небото.
19. Пак, ви велам: ако двајца од вас сложно побараат што-годе на земјата, ќе им биде дадено од Мојот Татко, Кој е на небесата.
20. Зашто каде што се двајца или тројца собрани во Мое име, таму Сум и Јас меѓу нив.'
21. Тогаш Петар пристапи и Му рече: 'Господи, колку пати да му простам на брата си кој греши против мене? Дали до седумпати?'
22. Исус му рече: 'Не ти велам до седумпати, туку до седумдесет пати по седум.'
23. Затоа небесното царство прилега на некојси цар, кој сакал да си ги расчисти сметките со своите слуги,
24. а кога почна да ги расчистува, кај него беше доведен еден, кој му должеше десет илјади таланти.
25. И бидејќи немаше како да ги врати, господарот заповеда да го продадат него, неговата жена и децата, и сѐ што имаше, за да наплати.
26. Тогаш слугата клекна и му се поклонуваше, велејќи: 'Господару, имај трпение спрема мене и сѐ ќе ти исплатам.'
27. И поттикнат од сожаление, господарот се смилува на слугата, го пушти, и му го прости долгот.
28. Но штом слугата излезе, и најде еден од своите сослужители, кој му должеше сто денарии,

фати да го дави, велејќи му: 'Врати ми го долгот.'
29. Тогаш сослужителот падна пред неговите нозете и го молеше, велејќи: 'Имај трпение спрема мене, и сѐ ќе ти исплатам.'
30. Но тој не сакаше, туку отиде и го фрли в зандана, додека не му го исплати долгот.
31. А кога неговите сослужители видоа што се случи, мошне многу се нажалија и отидоа та му кажаа на својот господар сѐ што се случи.
32. Тогаш господарот го повика и му рече: 'Пакосен слуго! Ти го простив сиот долг, зашто ме преколнуваше.
33. Не требаше ли и ти да му се смилуваш на твојот сослужител, како што и јас ти се смилував тебе?'
34. И неговиот господар се разгневи и им го предаде на мачителите, сѐ додека не му исплати сѐ што му должеше.
35. Така и Мојот небесен Татко ќе ви стори вам, ако секој од вас не му прости од срце на својот брат.'

Глава 19

1. А кога Исус ги заврши тие зборови, замина од Галилеја и дојде до пределите на Јудеја отаде Јордан.
2. И многу народ Го следеше, а Тој ги исцели таму.
3. Му пристапија фарисеите, Го искушуваа, велејќи: 'Дали е според законот човек да ја остави својата жена за каква-годе причина?'
4. А Тој одговори, велејќи: 'Зар не сте читале: Творецот во почетокот ги создаде како машко и женско,
5. и рече: 'Затоа мажот ќе ги остави таткото и мајката и ќе се прилепи до својата жена, та обајцата ќе станат едно тело?'
6. Така тие повеќе не се двајца, туку едно тело. И така, тоа што Бог го соединил, човек да не го раздвојува!'
7. И Му рекоа: 'Зошто тогаш Мојсеј заповеда да и се даде разводна книга и да се остави?'
8. Тој им рече: 'Поради вашето закоравено срце Мојсеј ви дозволи да ги оставате вашите жени, но во почетокот не беше така.
9. Туку ви велам: 'Кој ќе ја остави својата жена - освен за прељуба и се ожени за друга, прави прељуба; и кој ќе се ожени со напуштена, прави прељуба.'
10. Учениците Му рекоа: 'Ако е таква работата меѓу мажот и жената, подобро е да не се земаат.'
11. А Тој им рече: 'Сите не можат да ги сфатат овие зборови, туку само оние на кои им е дадено.
12. Зашто има евнуси, кои се родени така од мајчината утроба, и има евнуси, кои се скопени од луѓе, и има евнуси, кои самите се одрекле од брак заради небесното царство. Кој може да го сфати ова, нека сфати!'
13. Тогаш доведоа дечиња кај Него, за да ги стави врз нив рацете и да се помоли, но учениците ги спречуваа.
14. А Исус им рече: 'Оставете ги децата и не бранете им да дојдат кај Мене, зашто на таквите им припаѓа небесното царство.'
15. И откако ги стави рацете врз нив, си замина.
16. И ете, еден млад човек Му пристапи и рече: 'Учителе, какво добро да сторам, за да добијам вечен живот?'
17. А Тој му рече: 'Зошто Ме прашуваш за доброто? Само Еден е добар! Но ако сакаш да влезеш во животот, почитувај ги заповедите!'
18. Тој го праша: 'Кои?' А Исус рече: 'Не убивај, не врши прељуба, не кради, не сведочи лажно,
19. почитувај ги татка си и мајка си и љуби го својот ближен како себеси!'
20. Момчето Му рече: 'Сето тоа го почитувам. Што треба уште?'
21. Исус му рече: 'Ако сакаш да бидеш совршен, оди, продај го својот имот, дај им на сиромашните и ќе имаш богатство на небото, па потоа дојди и следи Ме!'
22. А кога момчето го чу тој збор, си отиде нажалено, зашто имаше многу имот.
23. А Исус им рече на учениците: 'Вистина ви велам: богат тешко ќе влезе во небесното царство!
24. И пак ви велам: Полесно и е на камилата да помине низ иглени уши, отколку на богатиот да влезе во Божјото царство.'
25. Кога учениците го слушнаа тоа многу се зачудија и рекоа: 'Ако е така, кој може да се спаси?'
26. Исус ги погледна и им рече: 'За луѓето тоа е невозможно, но за Бог сѐ е возможно.'
27. Тогаш Петар одговори, велејќи Му: 'Еве, ние оставивме сѐ и тргнавме по Тебе. А што ќе добиеме за возврат?'
28. А Исус им рече: 'Вистина ви велам дека вие кои тргнавте по Мене, при обновувањето, кога Синот Човеков ќе седне на престолот на Својата слава, и самите ќе седнете на дванаесет

престоли и ќе им судите на дванаесетте племиња на Израел.
29. И секој, кој заради Моето име ќе остави куќа, или браќа, или сестри, или татко, или мајка, или деца, или ниви, ќе прими многукратно и ќе наследи вечен живот.
30. И мнозина први ќе бидат последни, а последните први.'

Глава 20

1. 'Зашто небесното царство прилега на човек, домаќин, кој излезе рано наутро да фати аргати за на лозје.
2. И откако се погоди со работниците по денариј на ден, ги испрати во своето лозје.
3. А кога излезе пак околу третиот час, виде други како стојат на пазарот, без работа,
4. и им рече: 'Појдете и вие во моето лозје, па колку ќе чини ќе ви дадам!'
5. И тие отидоа. А кога пак излезе околу шестиот и деветтиот час го направи истото.
6. А околу единаесеттиот час пак излезе и најде други, како стојат, и им рече: 'Зошто стоите тука цел ден без работа?'
7. Му рекоа: 'Никој не нѐ зеде на работа.' Тој им рече: 'Појдете и вие во моето лозје.'
8. Кога се свечери, господарот на лозјето му рече на својот управител: 'Повикај ги работниците и плати им, почнувајќи од последните, па до првите!'
9. И така, дојдените околу единаесеттиот час примија по денариј.
10. Кога дојдоа првите, помислија дека ќе примат повеќе, но и тие примија по денариј.
11. Штом го примија, мрмореа против домаќинот, велејќи:
12. 'Последниве работеа еден час, а ти ги спореди со нас, кои ги претрпевме мачнотиите на денот и жегата.'
13. А тој му одговори на еден од нив, велејќи: 'Пријателе, не ти чинам неправда; зар не се погоди со мене за денариј?
14. Земи си го своето и оди си; а јас сакам на последниов да му дадам колку и на тебе.
15. Зар немам право со своето да правам што сакам? Или твоето око е зло, зашто сум добар?'
16. Така, последните ќе бидат први, а првите - последни.'
17. Кога Исус се искачуваше кон Ерусалим, ги зеде дванаесеттемина насамо и по пат им рече:
18. 'Еве, се искачуваме кон Ерусалим, а Синот Човеков ќе им биде предаден на првосвештениците и закониците, кои ќе Го осудат на смрт,
19. и ќе им Го предадат на неевреите, за да Му се ругаат, да Го камшикуваат и да Го распнат. Но на третиот ден ќе воскресне.'
20. Тогаш мајката на синовите Зебедееви Му пристапи заедно со своите синови, поклонувајќи Му се, за да измоли нешто од Него.
21. А Тој и рече: 'Што сакаш?' Му одговори: 'Заповедај двајцава мои синови да седнат, едниот од Твојата десна, а другиот од Твојата лева страна, во Твоето царство!'
22. А Исус одговори, велејќи: 'Не знаете што барате! Можете ли да ја испиете чашата што ќе ја испијам Јас.' Тие Му рекоа: 'Можеме.'
23. Им рече: 'Мојата чаша ќе ја испиете; но да Ми седнете оддесно или одлево, за тоа не решавам Јас, туку ќе им припадне на оние, за кои Мојот Татко го приготвил.'
24. И кога го чуја тоа десеттемина, им се налутија на двајцата браќа.
25. А Исус ги повика и рече: 'Знаете дека владетелите господарат над своите народи и дека големците владеат со нив.
26. Меѓу вас нека не биде така! Туку, оној што сака да биде најголем меѓу вас, нека ви служи!
27. И кој сака да биде прв меѓу вас, нека ви биде слуга,
28. така како што Синот Човеков не дојде да Му служат, туку да служи, и да ја даде Својата душа за откуп на мнозина.'
29. А додека излегуваа од Ерихон, многу народ тргна по Него.
30. И ете, двајца слепи, седејќи крај патот, чуја дека Исус минува, и викаа велејќи: 'Господи, Сине Давидов, смилувај ни се!'
31. Народот ги прекори да молкнат, а тие викаа уште погласно: 'Господи, Сине Давидов, смилувај ни се!'
32. И Исус застана, ги повика и рече: 'Што сакате да сторам за вас?'
33. Тие Му рекоа: 'Господи, да ни се отворат очиве!'
34. Исус се сожали, им ги допре очите и веднаш прогледаа и тргнаа по Него.

Глава 21

1. И кога наближија до Ерусалим и дојдоа во Бетфага, кај Маслиновата Гора, Исус испрати двајца ученици, велејќи им:
2. 'Појдете во селото што е пред вас и таму ќе најдете врзана магарица и магаренце со неа. Одврзете ги и доведете Ми ги!
3. А ако некој ви рече нешто, кажете му: 'Потребни Му се на Господ', и веднаш ќе ги пушти.'
4. А тоа стана, за да се исполни кажаното преку пророкот кој вели:
5. 'Кажете и на Сионската ќерка: 'Еве, твојот Цар доаѓа кај тебе, кроток, јавајќи на магаренце, младо од магарица!'
6. Учениците отидоа и сторија како што им заповеда Исус.
7. Ги дотераа магарицата и магаренцето, ги ставија врз нив своите наметки, и Тој седна над нив.
8. Мнозинството од народот ги постилаа своите облеки по патот, а други сечеа гранки од дрвјата и ги постилаа по патот.
9. А врволицата, која одеше пред Него и по Него извикуваше, велејќи: 'Осана на Давидовиот Син! Благословен е Тој кој доаѓа во Господово име! Осана во висините!'
10. И кога влезе во Ерусалим, целиот град се раздвижи, говорејќи: 'Кој е Овој?'
11. А народот одговараше: 'Овој е Пророкот Исус, од Назарет во Галилеја.'
12. Тогаш Исус влезе во Храмот и ги истера сите што купуваа и продаваа во Храмот, па им ги превртe масите на менувачите на пари и тезгите на продавачите на гулаби,
13. и им рече: 'Напишано е: 'Мојот Дом ќе биде наречен Дом на молитва', а вие го направивте разбојничко дувло.'
14. И Му пристапија слепи и сакати, во Храмот, и Тој ги исцели.
15. А кога првосвештениците и закониците ги видоа чудата што ги направи, и децата кои викаа во Храмот: 'Осана на Давидовиот Син!', се налутија
16. и Му рекоа: 'Слушаш ли што зборуваат овие?' А Исус им рече: 'Да, зар не сте прочитале никогаш: 'Од устата на децата и доенчињата Си приготви пофалба?'',
17. па ги остави и замина од градот во Бетанија и таму преноќи.
18. Утредента кога се враќаше во градот огладне.
19. И кога виде смоква крај патот, отиде до неа, но не најде ништо на неа, освен лисјата, и и рече: 'Отсега да немаш плод довека!' И смоквата веднаш се исуши.
20. А кога учениците го видоа тоа, се зачудија и рекоа: 'Како се исуши смоквата веднаш?'
21. Исус одговори, велејќи: 'Вистина ви велам, ако имате вера и не се посомневате, ќе го правите не само тоа што и се случи на смоквата, туку ако и речете на оваа гора: 'Дигни се оттука и фрли се во морето!' ќе стане така,
22. и сѐ што ќе побарате во молитва, со вера, ќе добиете.'
23. Кога дојде Исус во Храмот, додека поучуваше Му пристапија првосвештениците и народните старешини, велејќи: 'Со каква власт го правиш тоа? И кој Ти ја даде таа власт?'
24. А Исус во одговор им рече: 'И Јас ќе ве прашам нешто, па ако ми кажете, и Јас ќе ви кажам со каква власт го правам ова.
25. Од каде беше Јовановото крштавање? Од небото или од луѓето?' А тие размислуваа во себе, велејќи: 'Ако речеме 'од небото', ќе ни рече: 'Зошто тогаш не му поверувавте?'
26. А ако речеме: 'од луѓето' се плашиме од народот, зашто сите го сметаат Јован за пророк.'
27. И во одговор Му рекоа: 'Не знаеме!' И Тој им рече: 'Ни Јас нема да ви кажам со каква власт го вршам ова.'
28. 'И, што мислите за ова? Еден човек имаше два сина, па отиде кај првиот и му рече: 'Синко, појди на лозје и работи денес таму!'
29. Тој одговори, велејќи: 'Ќе појдам господару', но не отиде.
30. Потоа дојде кај вториот и му го рече истото. А тој одговори и рече: 'Не одам!', но потоа се покаја и отиде.

31. Кој од двајцата ја исполни татковата волја?' Тие рекоа: 'Вториот!' Исус им рече: 'Вистина ви велам, даночниците и блудниците пред вас ќе влезат во Божјото царство.
32. Зашто, Јован дојде кај вас по патот на праведноста - и не му поверувавте, а даночниците и блудниците му поверуваа; вие видовте, но подоцна не се покајавте, за да му поверувате.'
33. 'Чујте една друга споредба! Беше еден домаќин кој насади лозје, го загради со плот, и ископа во него гмечало за грозје; изгради кула, им го даде под наем на лозарите и си замина на пат.
34. А кога наближи времето за грозјебрање, ги прати своите слуги кај лозарите, за да го престакнат родот.
35. А лозарите ги фатија неговите слуги и едниот го натепаа, другиот го убија, а третиот го каменуваа.
36. Тој пак испрати други слуги, повеќе од првите, но и со нив постапија исто.
37. Најпосле кај нив го испрати својот син, велејќи: 'Ќе се засрамат од мојот син!'
38. Но кога лозарите го видоа синот, си рекоа меѓу себе: 'Овој е наследникот! Ајде да го убиеме и да го присвоиме неговото наследство!'
39. И го фатија, го исфрлија од лозјето и го убија.
40. Кога ќе дојде господарот на лозјето, што ќе им стори на лозарите?'
41. Тие Му одговорија: 'Тие злосторници страшно ќе завршат, а лозјето ќе им го даде под наем на други лозари, кои ќе му ги даваат плодовите навреме.'
42. Исус им рече: 'Зар не сте прочитале никогаш во Писмата: 'Каменот што го отфрлија ѕидарите, стана темелен камен. Од Господ е тоа, и чудесно е во нашите очи?'
43. Затоа ви велам дека ќе ви биде одземено Божјото царство и ќе му биде дадено на народ, кој ќе ги донесува плодовите на Царството!
44. И кој ќе падне врз тој камен - ќе се распарчи, а врз кого ќе падне тој - ќе го смачка. '
45. Кога првосвештениците и фарисеите ги чуја овие Негови споредби, сфатија дека зборува за нив,
46. и гледаа да Го фатат, но се плашеа од народот, зашто народот Го сметаше за пророк.

Глава 22

1. Исус почна пак да им зборува во споредби и им рече, велејќи:
2. 'Небесното царство прилега на цар, кој беше подготвил свадбена гозба за сина си,
3. па ги испрати своите слуги да ги повикаат поканетите на гоштавка, но тие не сакаа да дојдат.
4. Повторно прати други слуги, велејќи им: 'Кажете им на поканетите: Еве, гозбата е готова, моите јунци и згоениот добиток се заклани, и сѐ е готово. Повелете на свадба!'
5. А тие не им обрнаа внимание и се разотидоа: кој на својот имот, кој по своја трговија;
6. а едни ги фатија неговите слуги, им се наругаа и ги убија.
7. Царот, пак, се разгневи, ја испрати својата војска и ги погуби убијците и им го запали градот.
8. Тогаш им рече на останатите слуги: 'Гозбата е готова! - ама поканетите не беа достојни.
9. Затоа излезете по раскрсниците и сите што ќе ги најдете, поканете ги на гоштавка.'
10. Слугите излегоа по патиштата и ги доведоа сите што ги најдоа, и лошите и добрите, и свадбената сала се наполни со гости.
11. А кога царот влезе да ги види гостите, виде таму еден човек кој не беше облечен во свадбено руво.
12. И му рече: 'Пријателе, како влезе тука без свадбена облека?' А тој занеме.
13. Тогаш царот им заповеда на служителите: 'Врзете му ги нозете и рацете, и фрлете го во крајната темнина. Таму ќе има лелек и чкртање со заби!'
14. Всушност, мнозина се поканети, но малкумина се избрани!'
15. Тогаш фарисеите заминаа и се договорија како да Го фатат за збор.
16. И Му ги испратија своите ученици, заедно со Иродовците, за да Му речат: 'Учителе, знаеме дека си вистинит и дека во вистина ги поучуваш луѓето за Божјиот пат, и не те засега никој, зашто не си пристрастен.
17. Па, кажи ни, што мислиш Ти! Дали е според законот да му се дава данок на цезарот или не?'
18. А Исус го разбра нивното лукавство и рече: 'Зошто Ме искушувате, лицемери?
19. Покажете ми пара со која го плаќате данокот!' Тие Му донесоа денариј.
20. И им рече: 'Чиј е овој лик и натписот?'
21. Тие Му рекоа: 'На цезарот!' Тогаш Тој им рече: 'Дајте му го цезаровото на цезарот, а Божјото на Бог!'
22. И штом го чуја тоа, се восхитија, па Го оставија, и си отидоа.
23. Тој ден кај Него дојдоа садукеите, кои велат дека нема воскресение, и Го прашаа:
24. 'Учителе, Мојсеј рече: 'Ако некој умре без деца, неговиот брат нека ја земе жена му и нека му подигне потомство на брата си.'
25. Кај нас имаше седуммина браќа: првиот се ожени и умре, а бидејќи немаше потомство, му ја остави својата жена на брата си.
26. Така направи и вториот и третиот, сѐ до седмиот,
27. А по сите нив, умре и жената.
28. Па така, при воскресението, кому од седумтемина таа ќе му биде жена? Зашто сите ја имаа!'
29. А Исус им одговори и им рече: 'Грешите, и не ги разбирате Писмата, ниту Божјата сила.
30. Зашто по воскресението ниту ќе се женат ниту ќе се мажат, туку ќе бидат како ангелите на небото.
31. А за воскресението на мртвите, не сте читале ли за она што ви кажа Бог, Кој вели:
32. 'Јас Сум Богот на Авраам, Богот на Исак и Богот на Јаков'? А Бог не е Бог на мртвите, туку на живите!'
33. И кога народот го чу тоа, му се восхитуваше на Неговото учење.
34. А кога фарисеите слушнаа дека им ја затвори устата на садукеите, се собраа заедно,

35. и еден од нив, законик, Го праша, искушувајќи Го:
36. 'Учителе, која е големата заповед во Законот?'
37. А Тој му рече: 'Љуби Го Господ твојот Бог со сето свое срце, и со сета своја душа и со сиот свој разум!'
38. Тоа е првата и големата заповед;
39. а втората е слична: 'Љуби го твојот ближен како себеси!'
40. На тие две заповеди се потпираат целиот Закон и пророците.'
41. А кога фарисеите беа собрани, Исус ги праша:
42. 'Што мислите за Христос? Чиј Син е Тој?' Му рекоа: 'Давидов.'
43. А Тој им рече: 'Како тогаш Давид, преку Духот, Го нарекува Господ, велејќи:
44. 'Му рече Господ на мојот Господ: - Седни од Мојата десна страна, додека не ги соборам Твоите непријатели под нозете Твои.'
45. И така, ако Давид Го нарекува 'Господ', како може Тој да му биде Син?'
46. И никој не можеше да Му одговори ниту збор, ниту пак некој се осмели од тој ден веќе да Го праша нешто.

Глава 23

1. Тогаш Исус му се обрна на народот и на Своите ученици,
2. велејќи: 'На Мојсеевото место седнаа законициите и фарисеите,
3. затоа сѐ што ќе ви речат извршувајте и внимавајте, но не постапувајте според нивните дела,
зашто зборуваат, а не извршуваат!
4. И врзуваат тешки и неподносливи бремиња, и ги ставаат врз плеќите на луѓето, а самите не
сакаат ни со прст да ги помрднат.
5. А сите свои дела ги прават за да ги забележат луѓето; затоа ги рашируваат своите
молитвеници и ги издолжуваат ресите на наметките;
6. ги сакаат челните места по гоштавките, првите места во синагогите,
7. поздравите на јавните места и милуваат луѓето да ги нарекуваат 'раби'.
8. А вие не нарекувајте се учители, зашто Еден е вашиот Учител, а вие сите сте браќа.
9. И никого на земјата не нарекувајте го 'отец', зашто Еден е вашиот Татко Кој е на небесата.
10. Не нарекувајте се водачи, зашто Еден е вашиот Водач, Христос.
11. А најголемиот меѓу вас нека ви биде слуга.
12. Кој се воздига себеси, ќе биде понизен, а кој се понизува себеси, ќе биде возвишен.
13. Тешко вам, законици и фарисеи, лицемери, кои го затворате небесното царство пред
луѓето, зашто самите не влегувате, ниту ги пуштате внатре оние кои сакаат да влезат.
14. (Тешко вам, законици и фарисеи, лицемери, зашто ги проголтувате домовите на вдовиците,
и се престорувате дека се молите долго. Затоа ќе добиете поголема осуда!)
15. Тешко вам, законици и фарисеи, лицемери, кои обиколувате море и копно, за да создадете
еден прозелит, и кога ќе стане таков, го правите син на пеколот, двапати полош од вас!
16. Тешко вам, слепи водачи, кои велите: 'Ако некој се заколне во Храмот, не е ништо; ако пак
се заколне во храмското злато, тогаш го обврзува заклетвата!'
17. Безумни и слепи! Што е поважно: златото или Храмот што го осветува златото?
18. И: 'Ако некој се заколне во жртвеникот, не е ништо; а ако се заколне во дарот што е врз
него, тогаш го обврзува заклетвата.'
19. Слепци! Што е поважно: дарот или жртвеникот што го осветува дарот?
20. И така, кој се колне во жртвеникот, се колне во него и во сѐ што е врз него.
21. И кој се колне во Храмот, се колне во него и во Оној Кој живее во него.
22. И кој се колне во небото, се колне во Божјиот престол и во Оној Кој седи на него.'
23. Тешко вам, законици и фарисеи, лицемери, кои давате десеток од нане, копар и ким, а го
запоставувате поважното во Законот: правдата, милоста и верноста. Ова требаше да го
правите, а она да не го запоставувате!
24. Слепи водачи, кои ја цедите вошката, а ја проголтувате камилата.
25. Тешко вам, законици и фарисеи, лицемери, кои ја чистите надворешноста на чашата и
садот, а внатре сте полни со грабеж и лакомост!
26. Слеп фарисеју! Исчисти ја најпрвин внатрешноста на чашата и садот, за да им биде чиста и
надворешноста!
27. Тешко вам, законици и фарисеи, лицемери, зашто прилегате на варосани гробови, што
однадвор изгледаат убаво, а внатре се полни со мртовечки коски и секаква нечистотија!
28. Така и вие однадвор им се покажувате праведни на луѓето, а внатре сте полни со
лицемерство и беззаконие.
29. Тешко вам, законици и фарисеи, лицемери, кои им градите гробови на пророците и им ги
украсувате спомениците на праведните,
30. и велите: 'Ако живеевме во деновите на нашите татковци, не ќе бевме нивни соучесници во
крвта на пророците.'
31. Така сведочите за себе, дека сте синови на оние кои ги убија пророците.
32. И вие ја дополнивте мерата на вашите татковци!
33. Змии, змиски породи! Како ќе и избегнете на пресудата на пеколот?

34. Затоа, еве, Јас ви праќам пророци, мудреци и законици. Од нив едните ќе ги убиете и распнете, а другите ќе ги камшикувате во вашите синагоги и ќе ги прогонувате од град до град,
35. та врз вас да дојде сета праведна крв, пролеана на земјата, од крвта на праведниот Авел до крвта на Захариј, синот на Барах, кого го убивте меѓу Храмот и жртвеникот.
36. Вистина ви велам, сето тоа ќе падне врз ова поколение.'
37. 'О, Ерусалиме! Ерусалиме, ти што ги убиваш пророците и што ги каменуваш испратените кај тебе! Колкупати сакав да ги соберам твоите деца, како што квачката ги собира своите пилиња под крилата, но не сакавте!
38. Еве, пуст ви останува вашиот дом!
39. Зашто ви велам: отсега нема да Ме видите додека не речете: 'Благословен е Оној Кој доаѓа во Господовото име!''

Глава 24

1. Кога Исус излезе од Храмот, Неговите ученици Му се приближија за да Му ги покажат зградите на Храмот.
2. А Тој им одговори: 'Го гледате ли сево ова? Вистина ви велам: нема да остане тука ниту камен на камен што не ќе биде урнат.'
3. Кога седеше пак на Маслиновата Гора, Неговите ученици дојдоа кај Него насамо и Му рекоа: 'Кажи ни кога ќе биде тоа и кој е знакот на Твоето доаѓање и на крајот на времето?'
4. А Исус одговори, велејќи им: 'Гледајте да не ве заведе некој,
5. зашто мнозина ќе дојдат во Мое име, говорејќи: 'Јас Сум Христос' и ќе заведат мнозина.
6. И ќе чуете за војни и гласови за војни. Внимавајте да не се уплашите; зашто тоа треба да се случи, но тоа уште не е крајот.
7. Зашто ќе се дигне народ против народ и царство против царство, и ќе има глад, помор и земјотреси на разни места.
8. Но сето тоа е само почеток на родилните маки.
9. Тогаш ќе ве предадат на маки и ќе ве убиваат, и сите народи ќе ве замразат заради Моето име.
10. Тогаш мнозина ќе се соблазнат, секој ќе предава секого и секој ќе ги мрази другите;
11. и ќе се јават многу лажни пророци кои ќе заведат мнозина.
12. И заради многуте беззаконија, љубовта ќе олади кај мнозина.
13. А кој ќе издржи докрај, ќе биде спасен.
14. И ова Евангелие за Царството ќе биде проповедано по целиот свет за сведоштво на сите народи, и тогаш ќе дојде крајот.'
15. 'И така, кога ќе го видите гнасното опустошување, за кое зборуваше пророкот Даниел, како владее на светото место (кој чита - нека разбере!),
16. тогаш жителите на Јудеја нека бегаат по горите;
17. а оној што ќе биде на покрив, нека не слегува да земе нешто од својата куќа;
18. и кој ќе биде в поле, нека не се враќа за да ја земе наметката!
19. Но тешко им на бремените и на доилките во тие денови!
20. Молете се вашето бегство да не биде во зима или во саботен ден,
21. зашто тогаш ќе има големо страдање, какво што не било од создавањето на светот досега, ниту пак ќе биде.
22. И ако не се скратат тие дни, не ќе се спаси ниту еден. Но заради избраните, тие дни ќе бидат скратени.
23. Ако некој ви рече тогаш: 'Еве, Христос е тука' или 'таму е'- не верувајте,
24. зашто ќе се појават лажни христоси и лажни пророци, и ќе прават големи знаци и чуда, за да ги заведат, ако е можно, и избраните.
25. Ете, ви кажав однапред!
26. И така, ако ви речат: 'Ене Го во пустината!' - не излегувајте! 'Ене Го во една од внатрешните соби!' - не верувајте.
27. Зашто, како што молњата излегува од исток и свети до запад, такво ќе биде и доаѓањето на Синот Човеков.
28. Зашто каде што има мрша, таму ќе се собираат мршојадците!'
29. 'Веднаш по страдањата во тие денови, сонцето ќе потемни, месечината нема повеќе да свети, ѕвездите ќе паѓаат од небото и небесните сили ќе се растресат.
30. Е тогаш на небото ќе се јави знакот на Синот Човеков. Тогаш ќе проплачат сите племиња на земјата и ќе Го видат Синот Човеков како доаѓа на небесните облаци, со сила и со голема слава.
31. И Тој ќе ги испрати Своите ангели со силен глас од труба, а тие ќе ги соберат Неговите избраници од четирите ветра, од едниот крај на небото до другиот.'
32. 'А од смоквата научете ја поуката! Кога нејзината гранка ќе смекне и ќе потераат лисја,

знаете дека летото е близу.
33. Така и вие, кога ќе го видите сето тоа, знајте дека е близу, на прагот е!
34. Вистина ви велам, ова поколение нема да мине додека не се збидне сето тоа.
35. Небото и земјата ќе поминат, но Моите зборови нема да поминат.'
36. 'А за тој ден и час, никој не знае, ни небесните ангели, ни Синот, туку само Таткото.
37. Како што беше во Ноевите денови, така ќе биде и при доаѓањето на Синот Човеков.
38. Зашто, како што во деновите пред потопот јадеа и пиеја, се женеа и мажеа до денот кога Ное влезе во ковчегот,
39. и не сфатија додека не дојде потопот и однесе сè, така ќе биде и при доаѓањето на Синот Човеков.
40. Тогаш двајца ќе бидат на поле - еден ќе биде однесен, а другиот оставен.
41. Две жени ќе мелат на мелница - едната ќе биде однесена, а другата оставена.
42. Затоа, бдејте зашто не знаете кога ќе дојде вашиот Господ!
43. А знајте го ова: ако домаќинот би знаел за време на која ноќна стража ќе дојде крадецот, би бдеел и не би дозволил да му се провали во куќата.
44. Затоа и вие бидете подготвени, зашто Синот Човеков ќе дојде во час кога не се надевате.'
45. 'И така, кој верен и мудар слуга, господарот не го поставил над слугите свои, за да им дава храна навреме?
46. Блажен е тој слуга, кого неговиот господар, кога ќе дојде, ќе го најде да прави така.
47. Вистина ви велам: ќе го постави над сиот свој имот.
48. Ако пак злиот слуга рече во своето срце: 'Мојот господар ќе се забави долго',
49. па почне да ги тепа своите сослужители, и да јаде и да пие со пијаниците,
50. господарот на тој слуга ќе дојде во ден кога не очекува, и во час што не го знае,
51. па ќе го расчеречи и ќе го стави меѓу лицемерите. Таму ќе има лелек и чкртање со заби.'

Глава 25

1. 'Тогаш Небесното царство ќе биде како десетте девици кои ги зедоа своите светилки и тргнаа да го пречекаат младоженецот.
2. Пет од нив беа неразумни, а пет мудри.
3. Зашто неразумните зедоа со себе светилки, но не зедоа масло;
4. а мудрите зедоа масло во садови, заедно со своите светилки.
5. Бидејќи младоженецот се забави, сите ги фати дремка и заспаа.
6. А на полноќ се чу викање: 'Еве го младоженецот, пречекајте го!'
7. Тогаш сите девици станаа и ги приготвија своите светилки.
8. А неразумните им рекоа на мудрите: 'Дајте ни од вашето масло, зашто нашите светилки гаснат.'
9. Но мудрите им одговорија, велејќи им: 'Да не биде малку и за нас и за вас, појдете кај трговците и купете си!'
10. Кога отидоа да купат, младоженецот дојде и подготвените влегоа со него на свадбата, а вратата се затвори.
11. Потоа дојдоа и другите девици и рекоа: 'Господару, Господару, отвори ни!'
12. Но тој им одговори, велејќи им: 'Вистина ви велам - не ве познавам!'
13. А сега, бдејте, зашто не го знаете ни денот ни часот!'
14. 'Тоа е како човекот, кој тргнувајќи на пат, ги повика своите слуги и им го предаде својот имот,
15. и на едниот му даде пет таланти, на другиот два, на третиот еден, секому според неговата способност, и отпатува.
16. Оној што ги прими петте таланти, веднаш замина и тргуваше со нив та спечали други пет.
17. Исто така, и оној со двата таланта, спечали други два.
18. А оној кој прими еден, отиде, ископа дупка во земјата и го скри среброто на својот господар.
19. По долго време, дојде господарот на слугите и сакаше да си ја види сметката со нив.
20. Така, кога пристапи оној кој прими пет таланти, донесе други пет таланти и рече: 'Господару, ми даде пет таланти, а еве, јас спечалив и други пет.'
21. Тогаш неговиот господар му рече: 'Арно сторено, добар и верен слуго! Над малку беше верен, ќе те поставам над многу; влези во радоста на својот господар!'
22. А кога пристапи оној кој прими два таланта, рече: 'Господару, ми даде два таланта, а еве, јас спечалив други два.'
23. Тогаш неговиот господар му рече: 'Арно сторено, добар и верен слуго! Над малку беше верен, ќе те поставам над многу; влези во радоста на својот господар!'
24. А кога пристапи оној, кој прими еден талант, рече: 'Господару, знаев дека си строг човек, жнееш каде што не си сеел и собираш каде што не си веел;
25. се исплашив, па отидов и го скрив твојот талант вземи. Еве, ти го твоето!'
26. А неговиот господар одговори, велејќи му: 'Зол и мрзлив слуго, знаеше дека жнеам, каде што не сум сеел и дека собирам каде што не сум веел;
27. затоа требаше да им го дадеш моето сребро на менувачите и јас, по враќањето, ќе го земев моето со добивка.
28. Затоа, одземете му го талантот и дајте му го на оној кој има десет таланти!
29. Зашто секому кој има, ќе му се даде уште и ќе има во изобилство, а оној кој нема, ќе му се одземе и она што го има.
30. А безвредниот слуга фрлете го во крајната темнина, каде што ќе има лелек и чкртање со заби.''
31. 'Кога Синот Човеков ќе дојде во Својата слава и сите ангели со Него, тогаш ќе седне на престолот на славата;
32. и ќе се соберат пред Него сите народи, а Тој ќе ги оддели едни од други, како што

пастирот ги одлачува овците од козите.
33. И ќе ги постави овците од својата десна страна, а козите од левата.
34. Тогаш Царот ќе им рече на оние од десната страна: 'Дојдете, благословени од Мојот Татко, наследете го Царството кое ви е подготвено уште од создавањето на светот!
35. Зашто огладнев и Ми дадовте да јадам; ожеднев и Ме напоивте; бев туѓинец и Ме примивте;
36. бев гол и Ме облековте; бев болен и Ме посетивте; бев во зандана и дојдовте кај Мене.'
37. Тогаш праведниците ќе Му одговорат и речат: 'Господи, кога Те видовме гладен и Те нахранивме; или жеден и Те напоивме?
38. Кога Те видовме како туѓинец и Те примивме? Или гол и Те облековме?
39. Кога те видовме болен или в зандана и дојдовме кај Тебе?'
40. А Царот ќе им одговори:'Вистина ви велам, доколку му направивте така на еден од овие Мои најмали браќа, Мене Ми направивте.'
41. Тогаш ќе им рече и на оние од левата страна: 'Одете си од Мене, проклети, во вечниот оган, подготвен за ѓаволот и за неговите ангели!
42. Зашто огладнев и не ми дадовте да јадам; ожеднев и не Ми дадовте да пијам,
43. бев туѓинец и не Ме примивте; бев гол и не Ме облековте; бев болен и в зандана и не Ме посетивте.'
44. Тогаш тие ќе одговорат, велејќи: 'Господи, кога Те видовме гладен, или жеден или како туѓинец, или гол, или болен или в зандана, и не Те послуживме?'
45. Тогаш ќе им одговори: 'Вистина ви велам, доколку не сте му направиле така на еден од овие најмаливе, ни Мене не сте Ми направиле!'
46. И овие ќе отидат во вечна казна, а праведниците во вечен живот.''

Глава 26

1. А кога Исус ги заврши сите тие говори, им рече на Своите ученици:
2. 'Знаете дека Пасхата е по два дни, и дека ќе Го предадат Синот Човеков, за да Го распнат.'
3. Тогаш првосвештениците и народните старешини се собраа во дворот на врховниот свештеник, кој се викаше Кајафа,
4. и се договорија да Го фатат Исус на измама и да Го убијат.
5. Но велеа: 'Не на празникот, за да не се побуни народот.'
6. А кога Исус беше во Бетанија, во куќата на Симон лепрозниот,
7. Му се приближи жена, со сад од алабастер со скапоцен мирис, па го излеа врз Неговата глава, додека беше прилегнат крај трпезата.
8. Штом учениците го видоа тоа, негодуваа и рекоа: 'Зошто вакво растурање?
9. Тој мирис можеше да биде продаден скапо, а сребрениците да им се дадат на сиромасите!'
10. Но Исус, знаејќи го тоа, им рече: 'Зошто и додевате на жената? Таа Ми направи добро дело,
11. бидејќи сиромашните ги имате секогаш со себе, а Мене Ме немате секогаш;
12. зашто кога таа го излеа мирисот врз Моето тело, го стори тоа за Мојот погреб.
13. Вистина ви велам, кај-годе да се проповеда Евангелието по целиот свет, ќе се раскажува и тоа што го стори таа, за нејзин спомен.'
14. Тогаш еден од дванаесеттемина, по име Јуда Искариот, отиде кај првосвештениците и им рече:
15. 'Што ќе ми дадете, за да ви Го предадам?' А тие му изброија триесет сребреници.
16. И оттогаш бараше згодна можност за да Го предаде.
17. А во првиот ден на Бесквасните лебови, учениците пристапија кај Исус и Го прашаа: 'Кај сакаш да Ти приготвиме да ја јадеш Пасхата?'
18. Тој рече. 'Појдете в град кај тој и тој човек и речете му: Учителот вели: Моето време е близу; кај тебе ќе ја празнувам Пасхата со Своите ученици.'
19. И учениците сторија како што им заповеда Исус, и ја приготвија Пасхата.
20. А кога се стемни, Тој прилегна со дванаесеттемина ученици крај трпезата.
21. И додека јадеа, им рече: 'Вистина ви велам дека еден од вас ќе Ме предаде.'
22. А тие многу се натажија и почнаа да зборуваат еден по друг: 'Да не сум јас тој, Господи?'
23. А Тој одговори: 'Оној што ќе ја натопи со Мене раката во чинијата, тој ќе Ме предаде!
24. Впрочем, Синот Човеков си оди како што е напишано за Него, но тешко му на оној човек, преку кого ќе биде предаден Синот Човеков; добро ќе беше за тој човек, ако не беше се родил!'
25. А Јуда, кој Го предаде, во одговор рече: 'Да не сум јас, Раби?' А Тој му рече: 'Ти кажа!'
26. А кога јадеа, Исус зеде леб, го благослови, го раскрши, им го раздаде на учениците, и рече: 'Земете, јадете, ова е Моето тело.'
27. Потоа ја зеде чашата, заблагодари, им ја даде и рече: 'Пијте сите од неа,
28. зашто ова е Мојата крв на Заветот, која се пролева за мнозина, за проштавање на гревовите.
29. Но, ви велам, отсега нема да пијам од овој лозов плод сè до оној ден кога со вас ќе пијам нов во Царството на Мојот Татко.'
30. И откако испеаја песна, се искачија на Маслиновата Гора.
31. Тогаш Исус им рече: 'Сите вие, оваа ноќ ќе се соблазните заради Мене, зашто е пишано:'Ќе го убијам пастирот, а овците од стадото ќе се разбегаат!'
32. Но по Моето воскресение пред вас ќе отидам во Галилеја.'
33. Тогаш Петар одговори, и рече: 'Ако сите се соблазнат заради Тебе, јас никогаш нема да се соблазнам.'
34. Исус му рече: 'Вистина ти велам, уште ноќеска трипати ќе се откажеш од Мене пред да пропее петел.'
35. Петар Му рече: 'Ако треба и да умрам со Тебе, нема да се откажам од Тебе.' И сите ученици

го рекоа истото.
36. Тогаш Исус дојде со нив на местото што се вика Гетсеманија, и им рече на учениците: 'Седете тука додека Јас отидам онаму да се помолам.'
37. Ги поведе со себе Петар и двајцата Зебедееви синови, го обзеде тага и се вознемири.
38. Тогаш им рече: 'Мојата душа е длабоко натажена, до смрт; останете тука и бдејте со Мене!'
39. И отиде малку потаму и падна ничкум и се помоли, велејќи: 'Татко Мој! Ако е можно, нека Ме одмине оваа чаша, но не како што сакам Јас, туку како што сакаш Ти!'
40. И дојде кај учениците, па ги најде како спијат, и му рече на Петар: 'Значи така! Не можевте ли ни еден час да бдеете со Мене?
41. Бдејте и молете се, за да не паднете во искушение! Духот е бодар, но телото е немоќно!'
42. И повторно отиде и се помоли, велејќи: 'Татко Мој! Ако не може да Ме одмине оваа чаша, да не ја пијам, нека биде Твојата волја.'
43. И кога дојде, пак ги најде како спијат, зашто очите им беа натежнале.
44. И пак ги остави и отиде да се помоли, по третпат, и ги изговори истите зборови.
45. Тогаш дојде кај учениците и им рече: 'Сѐ уште ли спиете и почивате. Еве, наближи часот кога Синот Човеков ќе биде предаден во рацете на грешниците.
46. Станете, да си одиме! Ете, наближи Мојот предавник.'
47. И додека Тој уште зборуваше, ете, Јуда, еден од дванаесеттемина, дојде со голема толпа, со мечови и тојаги, испратени од првосвештениците и народните старешини.
48. А Неговиот предавник се беше договорил за знакот, велејќи: 'Оној Кого ќе Го бакнам - Тој е, Него фатете Го!'
49. И веднаш се приближи до Исус, рече: 'Биди поздравен, Учителе!' и срдечно Го бакна.
50. А Исус му рече: 'Пријателе, стори го тоа за кое си дојден!' Тогаш пристапија, ставија раце на Исус и Го фатија.
51. И ете, еден од оние кои беа со Исус, извади меч и го удри слугата на врховниот свештеник и му го отсече увото.
52. Тогаш Исус му рече: 'Врати го мечот на своето место, зашто сите што се фаќаат за меч - од меч ќе загинат.
53. Или мислиш дека не можам да Го помолам Мојот Татко да Ми испрати веднаш повеќе од дванаесет легии ангели?
54. Но, како инаку би се исполниле Писмата, кои велат дека вака треба да биде?'
55. Тогаш Исус и се обрати на толпата: 'Нагрваливте како на разбојник, со мечови и стапови, за да Ме фатите. Секој ден седев во Храмот и поучував и не Ме фативте.
56. А ова сѐ се збидна за да се исполнат пророчките Писма.' Тогаш сите ученици Го оставија и се разбегаа.
57. Оние што Го фатија Исуса, Го одведоа кај врховниот свештеник Кајафа, каде што беа собрани закониците и старешините.
58. А Петар одеше по Него на растојание, сѐ до дворот на врховниот свештеник, и откако влезе внатре седна со присутните за да го види крајот.
59. А првосвештениците и целиот Совет бараа лажно сведоштво против Исус, за да Го убијат, но не најдоа,
60. иако дојдоа многу лажни сведоци.
61. Најпосле дојдоа двајца и рекоа: 'Овој рече: 'Можам да го разурнам Божјиот Храм и да го изѕидам за три дни.''
62. Тогаш врховниот свештеник стана и Му рече: 'Ништо ли не одговараш? Што сведочат овие против Тебе?'
63. А Исус молчеше. Врховниот свештеник Му рече: 'Те заколнувам во живиот Бог да ни кажеш дали си Ти Христос, Божјиот Син?'
64. Исус изусти: 'Ти рече! Но, Јас ви велам: отсега ќе Го гледате Синот Човеков, како седи оддесно на Силата и како доаѓа на небесните облаци.'
65. Тогаш врховниот свештеник ја раскина својата облека и рече: 'Овој богохули! Зошто ни се

потребни уште сведоци? Ете, сега ја чувте хулата.
66. Што мислите?' А тие одговорија, велејќи: 'Заслужува смрт!'
67. Тогаш Му плукаа в лице и насилнички Го тепаа,
68. а други му удираа шлаканици, говорејќи: 'Проречи ни, Христе, кој Те удри?'
69. А Петар седеше надвор, во дворот, и една слугинка дојде кај него и му рече: 'И ти беше со Галилеецот Исус!'
70. А тој се откажа пред сите, велејќи: 'Не знам за што зборуваш!'
71. А кога излезе пред главната порта, го виде друга и им рече на оние што беа таму: 'И овој беше со Исус од Назарет.'
72. Тој повторно се заколна и откажа: 'Не го знам Човекот.'
73. Малку потоа му се приближија оние што стоеја, и му рекоа на Петар: 'Навистина, и ти си од нив, зашто и твојот говор те издава.'
74. Тогаш почна да ги колне и да се заколнува: 'Не го знам Човекот.'
75. И веднаш запеа петел. Петар се сети на зборовите на Исус Кој му ги рече: 'Пред да пропее петел, трипати ќе се откажеш од Мене.' Потоа излезе надвор и заплака горко.

Глава 27

1. А кога се раздени, сите првосвештеници и народните старешини се советуваа против Исус, за да Го убијат.
2. Го врзаа, Го одведоа и му Го предадоа на управителот Пилат.
3. Тогаш Јуда, кој Го предаде, откако виде дека Го осудија, се покаја и им ги врати триесетте сребреници на првосвештениците и на старешините,
4. велејќи: 'Згрешив, зашто предадов невина крв.' А тие му рекоа: 'Што нѐ засега нас тоа? Твоја работа!'
5. Тогаш ги фрли сребрениците во Храмот, излезе и отиде, па се обеси.
6. А првосвештениците ги зедоа сребрениците и рекоа: 'Не чини да се остават во храмската благајна, зашто се цена за крв.'
7. Туку, откако се посоветуваа, ја купија со нив грнчаревата нива за гробишта за туѓинци.
8. Затоа таа нива до денес се вика Крвна Нива.
9. Тогаш се исполни реченото преку пророкот Еремија, кој вели: 'И ги зедоа триесетте сребреници, цена за Непроценливиот Кого Го проценија израеловите синови,
10. и ги дадоа за грнчаревата нива, како што ми нареди Господ.'
11. Исус застана пред управителот, а управителот Го праша: 'Ти ли си царот на Евреите?' А Исус рече: 'Ти велиш'.
12. И кога Го обвинуваа првосвештениците и старешините, не одговараше ништо.
13. Тогаш Пилат Му рече: 'Не слушаш ли колку работи изложија против Тебе?'
14. И не му одговори ниту на еден збор, та управителот се најде во чудо.
15. А на секој празник управителот имаше обичај да му пушти на народот еден затвореник, и тоа оној што ќе го побараше.
16. Имаше тогаш прочуен затвореник, кој се викаше Бараба.
17. И кога се собраа луѓето, Пилат им рече: 'Кого сакате да ви го пуштам? Бараба или Исус, наречен Христос?',
18. зашто знаеше дека Го предадоа од завист.
19. И додека седеше на судскиот стол, жена му јави до него да му кажат: 'Не прави Му ништо на Тој Праведник, зашто денес насон многу настрадав заради Него!'
20. Но првосвештениците и старешините го наговорија народот да го побара Бараба, а Исус да биде погубен.
21. Тогаш управителот во одговор рече: 'Кого од двајцата сакате да го пуштам?' А тие рекоа: Бараба!'
22. Пилат им рече: 'А што да сторам тогаш со Исус, наречен Христос?' Сите рекоа: 'Да биде распнат!'
23. А тој рече: 'Зошто, какво зло сторил?' А тие сѐ посилно викаа: 'Да биде распнат!'
24. А Пилат штом виде дека ништо не помага, туку викотницата станува сѐ поголема, зеде вода и си ги изми рацете пред народот и рече: 'Невин сум за крвта на Овој Праведник! Мислете му вие!'
25. Целиот народ одговори, извикувајќи: 'Неговата крв нека биде на нас и на нашите деца!'
26. Тогаш им го пушти Бараба, а Исуса, откако Го камшикуваше, им Го предаде да Го распнат.
27. Тогаш војниците на управителот Го одведоа Исус во преторијата и ја собраа целата чета околу Него.
28. Го соблекоа и Му наметнаа црвено наметало;
29. исплетоа трнов венец, Му го ставија на главата и трска во Неговата десница, па коленичеа пред Него и Му се потсмеваа, велејќи: 'Биди поздравен, еврејски Цару!'
30. И плукаа по Него, ја зедоа трската и Го удираа по главата.
31. Откако Го исмејаа, го симнаа од Него наметалото, па Го облекоа во Неговата облека та Го одведоа да Го распнат.
32. А на излегување сретнаа човек Киринеец, по име Симон, и го принудија да Му го носи

крстот.
33. А кога стигнаа на местото наречено Голгота, што значи место на череп,
34. Му дадоа да пие вино, измешано со жолчка, но кога вкуси, не сакаше да пие.
35. А откако Го распнаа, фрлајќи жрепка, ја разделија Неговата облека.
36. Потоа седнаа и Го чуваа.
37. И над главата Му ставија натпис за Неговата вина: 'ОВОЈ Е ИСУС, ЦАРОТ НА ЕВРЕИТЕ.'
38. Тогаш распнаа со Него двајца разбојници: едниот оддесно, а другиот одлево.
39. А минувачите Го хулеа, вртејќи со главите
40. и велејќи: 'Ти што го разурнуваш Храмот и што за три дни го изѕидуваш, спаси се Себеси. Ако си Божји Син, симни се од крстот!'
41. Исто зборуваа и првосвештениците, заедно со закониците и старешините, потсмевајќи Му се:
42. 'Другите ги спаси, а Самиот Себеси не може да се спаси. Тој е Царот на Израел! Нека слезе сега од крстот та ќе Му поверуваме!
43. Тој се надеваше на Бог, нека Го избави сега, штом толку Го љуби, зашто рече: 'Божји Син Сум!''
44. Исто така Го навредуваа и разбојниците кои беа распнати со Него.
45. А од шестиот час се стемни над целата земја до деветтиот час.
46. Околу деветтиот час Исус извика со силен глас, велејќи: 'Ели! Ели! Лема Сабахтани! - што значи: 'Боже Мој, Боже Мој! Зошто Ме напушти?'
47. А некои од оние што стоеја таму, кога го чуја тоа, рекоа: 'Овој го вика Илија!'
48. И веднаш еден од нив отрча, зеде сунѓер, го натопи во оцет, го надена на трска, и Му даде да пие.
49. А другите велеа: 'Остави Го! Да видиме дали ќе дојде Илија да Го спаси!'
50. А Исус повторно извика со силен глас и го предаде духот.
51. И ете, завесата во Храмот се расцепи надве, озгора додолу, земјата се стресе и карпите распукаа,
52. а гробовите се отворија и воскреснаа многу тела на упокоени светии;
53. и излегоа од гробовите по Неговото воскресение, влегоа во светиот град и на мнозина им се јавија.
54. А стотникот и оние кои со него Го чуваа Исус, откако го видоа земјотресот и сè што стана, многу се исплашија и рекоа: 'Навистина, Овој беше Божјиот Син!'
55. А таму се наоѓаа и оддалеку гледаа многу жени, кои Го следеа Исус од Галилеја и Му служеа.
56. Меѓу нив беа: Марија од Магдала и Марија, мајката на Јаков и Јосиф, и мајката на Зебедеевите синови.
57. А кога се стемни, дојде богат човек од Ариматеја, по име Јосиф, кој и самиот беше Исусов ученик.
58. Тој отиде кај Пилат и го побара Исусовото тело. Тогаш Пилат заповеда да му биде дадено.
59. Јосиф го зеде телото, го завитка во чисто платно
60. и го положи во својот нов гроб, што беше го издлабил во карпа. И врз влезот навали голем камен на гробот и си отиде.
61. А Марија од Магдала и другата Марија останаа да седат спроти гробот.
62. Следниот ден, по денот за подготовка, првосвештениците и фарисеите се собраа кај Пилат
63. и му рекоа: 'Господару, се сетивме дека оној измамник, уште додека беше жив, рече: 'Ќе воскреснам по три дни.'
64. Затоа, заповедај да биде чуван гробот до третиот ден, за да не дојдат Неговите ученици да Го украдат и да му кажат на народот: 'Воскресна од мртвите', та последната измама да биде полоша од првата.'
65. Пилат им рече: 'Еве ви стража. Појдете и чувајте го како што знаете!'
66. Тие отидоа и го обезбедија гробот, го запечатија каменот и поставија стража.

Глава 28

1. А по саботниот ден, на осамнување на првиот ден од седмицата, дојдоа Марија од Магдала и другата Марија да го видат гробот.
2. И ете, стана голем земјотрес, зашто Господов ангел слезе од небото, пристапи и го помести каменот и седна на него.
3. Лицето му светеше како молња, а неговата облека беше бела како снег.
4. Од страв пред него, стражарите се преплашија и паднаа како мртви.
5. Тогаш ангелот проговори и им рече на жените: 'Не плашете се, зашто знам дека Го барате распнатиот Исус.
6. Не е тука, зашто е воскреснат, како што рече! Дојдете и видете го местото каде што лежеше,
7. и отидете бргу и кажете им на Неговите ученици дека воскресна од мртвите. Еве, Тој оди пред вас во Галилеја. Таму ќе Го видите! Ете, ви кажав!'
8. И тие веднаш заминаа од гробот, со страв и со голема радост, и отрчаа да им соопштат на Неговите ученици.
9. А Исус ги пресретна и ги поздрави: 'Бидете поздравени!' А тие се приближија до Него, Го фатија за нозете и Му се поклонија.
10. Тогаш Исус им рече: 'Не плашете се! Одете и соопштете им на Моите браќа да појдат во Галилеја. Таму ќе Ме видат.'
11. А кога одеа, ете, некои од стражарите дојдоа во градот и им соопштија на првосвештениците за сè што беше станало.
12. Потоа се состанаа со старешините, се советуваа и им дадоа на војниците многу пари
13. и им рекоа: 'Кажете дека Неговите ученици дојдоа ноќе и Го украдоа, додека ние спиевме.
14. А ако за ова чуе управителот, ние ќе го убедиме и вие нема за што да се грижите.'
15. А тие ги зедоа сребрениците и постапија како што ги научија. И тоа се разгласи меѓу Евреите до ден денешен.
16. А единаесеттемина ученици отидоа во Галилеја, на горато, каде што им беше определил Исус.
17. И штом Го видоа, Му се поклонија, а некои се сомневаа.
18. Тогаш Исус им се приближи и им рече: 'Дадена Ми е сета власт на небото и на земјата.
19. Затоа одете и направете од сите народи Мои ученици, крштавајќи ги во името на Таткото и Синот и Светиот Дух, учејќи ги да го чуваат сето она што ви го заповедав!
20. И еве, Јас Сум со вас во сите дни до крајот на светот.'

Марко

Глава 1

1. Почетокот на Евангелието за Исус Христос, Божјиот Син.
2. Како што е запишано кај пророкот Исаија: 'Ете, Јас го испраќам Својот гласник пред Твоето лице, кој ќе го подготви Твојот пат;
3. гласот на оној, кој вика во пустината: 'Подгответе го патот на Господ, исправете ги Неговите врвици'.'
4. Се јави Јован, крштавајќи во пустината и проповедајќи покајно крштавање за проштавање на гревовите.
5. И доаѓаа кај него од цела Јудеја и од Ерусалим, и од него беа крштавани во реката Јордан, при што ги исповедуваа своите гревови.
6. А Јован беше облечен во руба од камилски влакна и имаше кожен појас околу својата половина, и јадеше скакулци и див мед.
7. Тој проповедаше, велејќи: 'По мене иде посилен од мене, пред Кого не сум достоен да се наведнам и да ги одврзам ремењата на Неговите сандали.
8. Јас ве крстив со вода, а Тој ќе ве крштава со Светиот Дух.'
9. Во тоа време, Исус од Назарет дојде во Галилеја, и беше крстен од Јован во Јордан.
10. И веднаш, додека излегуваше од водата, виде како небесата се отворија и како Духот слегува над Него како гулаб.
11. И се чу глас од небото: 'Ти си Мојот возљубен Син, Кој е по Мојата волја!'
12. Веднаш потоа Духот Го одведе во пустината.
13. И беше во пустината четириесет дни, искушуван од сатаната. А беше меѓу диви ѕверови и ангели Му служеа.
14. А откако Јован беше предаден, Исус дојде во Галилеја, проповедајќи го Божјото Евангелие.
15. И зборуваше: 'Времето се исполни, и наближи Божјото царство; покајте се и верувајте во Евангелието!'
16. И одејќи крај Галилејското Море ги виде Симон и Андреј, братот на Симон, како фрлаат мрежа во морето - зашто беа рибари.
17. А Исус им рече: 'Тргнете по Мене и Јас ќе направам да станете рибари на луѓе!'
18. Тие веднаш ги оставија мрежите и тргнаа по Него.
19. И кога одмина малку понатаму ги виде Јаков, Зебедеевиот син, и брат му Јован како во кораб ги крпат мрежите;
20. и веднаш ги повика. А тие, оставајќи го татка си Зебедеј со наемниците во коработ, тргнаа по Него.
21. И дојдоа во Капернаум; и веднаш во саботен ден Тој влезе во синагогата и поучуваше.
22. А тие Му се восхитуваа на Неговото учење, зашто ги поучуваше како некој кој има власт, а не како закониците.
23. Тогаш во нивната синагога беше еден човек со нечист дух, па извика
24. велејќи: 'Ах! Што имаме ние со Тебе, Исусе Назареќанецу? Дали дојде да нè погубиш? Знам кој си Ти, Божји светец!'
25. А Исус му се закани: 'Молкни и излези од него!'
26. И нечистиот дух го стресе, извика со силен глас и излезе од него.
27. И сите се вчудовидоа, па се прашуваа еден со друг, велејќи: 'Што е ова? Ново учење - полно со власт! Тој им заповедува дури и на нечистите духови и тие Му се покоруваат!'
28. И веднаш се разнесе глас за Него на сите страни, по целата галилејска област.
29. И штом излегоа од синагогата, со Јаков и Јован дојдоа во куќата на Симон и Андреј.
30. А Симоновата тешта лежеше од треска, и веднаш Му кажаа за неа.
31. Тој и пристапи, ја фати за рака и ја поткрена. Тогаш треската ја напушти, па таа им служеше.
32. А приквечер, по зајдисонце, Му ги доведоа сите болни и опседнати,
33. па целиот град се собра пред вратата.

34. И исцели мнозина, кои страдаа од разни болести, истера многу демони и не им дозволи на демоните да зборуваат, зашто Го знаеја.
35. А изутрината, додека уште беше темно, стана, излезе и отиде на пусто место, и таму се молеше.
36. А Симон и оние што Го придружуваа поитаа по Него,
37. и кога Го најдоа, Му рекоа: 'Сите Те бараат!'
38. Тој им одговори: 'Да одиме во соседните села, да навестувам и таму, зашто за тоа и дојдов.'
39. И дојде навестувајќи во нивните синагоги по цела Галилеја, и изгонувајќи ги демоните.
40. И дојде кај Него еден лепрозен, и на колена молејќи Го, Му зборуваше: 'Ако сакаш, можеш да ме исчистиш.'
41. И Тој се сожали, ја протегна раката, го допре и му рече: 'Сакам! Биди чист!'
42. И веднаш лепрата го напушти и тој стана чист.
43. И предупредувајќи го строго, веднаш го пушти
44. и му рече: 'Гледај, никому ништо да не си кажал! Туку оди, покажи му се на свештеникот и принеси го за своето исчистување она што го заповеда Мојсеј, ним за сведоштво.'
45. А тој, штом излезе, почна да разгласува многу и да раскажува за настанот, па Исус не можеше веќе јавно да влезе в град; туку остануваше надвор, по ненаселени места; а кај Него доаѓаа од сите страни.

Глава 2

1. И кога по неколку дена пак дојде во Капернаум се чу дека е во една куќа.
2. И се собраа мнозина, така што немаше веќе место пред вратата; и им го говореше Словото.
3. И дојдоа носејќи кај Него парализиран, кого го носеа четворица.
4. И бидејќи не можеа да го донесат до Него, заради навалот од луѓе, го открија покривот над
местото каде што беше Тој, го пробија и го спуштија леглото, на кое лежеше парализираниот.
5. А Исус, кога ја виде нивната вера, му рече на парализираниот: 'Синко, ти се проштаваат
гревовите.'
6. А некои од закониците седеа таму и размислуваа во своите срца:
7. 'Што зборува Овој вака? Тој хули! Кој може да проштава гревови, освен Самиот Бог?'
8. И Исус веднаш штом созна со Својот Дух дека тие размислуваат така во себе, им рече:
'Зошто размислувате така во своите срца?
9. Што е полесно да му се рече на парализираниот: 'Ти се простуваат гревовите', или да му се
рече: 'Стани и земи ја својата постела, и оди!'
10. Туку да знаете Синот Човеков има власт да проштава гревови на земјата!' Па му се обрна
на парализираниот:
11. 'Тебе ти велам - стани, крени го своето легло и оди си дома!'
12. И тој стана, вчас, го крена леглото, и излезе пред сите, а тие се восхитуваа и Го славеа Бог,
велејќи: 'Вакво нешто уште никогаш не сме виделе!'
13. Излезе пак крај брегот, и многу народ доаѓаше кај Него, и Тој го поучуваше.
14. И минувајќи, го виде Левиј, синот на Алфеј, како седи во даночницата, и му рече: 'Оди по
Мене!' А тој стана и тргна по Него.
15. И кога прилегна крај трпезата во неговата куќа, многу даночници и грешници беа крај
трпезата со Исус и со Неговите ученици, зашто ги имаше мнозина, и тие одеа по Него.
16. А кога фарисејските законици Го видоа како јаде со грешници и даночници, им рекоа на
Неговите ученици: 'Зошто јаде и пие заедно со даночници и грешници?'
17. А Исус, кога го чу тоа, им рече: 'Не им треба лекар на здравите, туку на болните. Не дојдов
да ги викам праведните на покајание, туку грешниците.'
18. Јовановите ученици и фарисеите постеа. И дојдоа, па Му рекоа: 'Зошто Јовановите ученици
и учениците на фарисеите постат, а Твоите ученици не постат?'
19. Исус им рече: 'Можат ли сватовите да постат додека е младоженецот со нив? Додека го
имаат со себе младоженецот, не можат да постат.
20. Но, ќе дојдат дни кога ќе биде отмен младоженецот од нив; и тогаш, во тој ден, ќе постат.
21. Никој не пришива алтица од ново платно врз стара облека, зашто новата алтица ќе ја
раскина старата облека, и дупката ќе биде поголема.
22. И никој не налева ново вино во стари мешини; зашто новото вино ќе ги раскине мешините,
па ќе пропаднат и виното и мешините; туку, ново вино во нови мешини!'
23. А кога во саботен ден одеше низ посевите, Неговите ученици поминувајќи почнаа да кинат
класје.
24. И фарисеите Му рекоа: 'Гледај! Зошто го прават тоа што во саботен ден не е дозволено?'
25. Им рече: 'Зар никогаш не сте читале што направи Давид кога беше во нужда и кога
огладне тој и тие што беа со него?
26. Како влезе во Божјиот дом, во времето на врховниот свештеник Авијатар, и ги изеде
поставените лебови, кои никој не смееше да ги јаде, освен свештениците; и им даде на оние,
кои беа со него!'
27. И им рече: 'Саботата е воспоставена заради човекот, а не човекот заради саботата.
28. И така, Синот Човеков е Господар и на саботата.'

Глава 3

1. И Тој влезе пак во синагогата, а таму имаше човек со исушена рака.
2. И Го дебнеа, дали ќе го исцели во саботен ден, за да Го обвинат.
3. А Тој му рече на човекот кој имаше сува рака: 'Застани насреде!'
4. И им рече: 'Дали е дозволено во саботен ден да се прави добро или зло? Да се спаси душа, или да се погуби?' А тие молчеа.
5. Тогаш со срдба ги погледна, и натажен заради закоравеноста на нивните срца, му рече на човекот: 'Испружи ја раката!' И тој ја испружи и таа беше здрава како другата.
6. А фарисеите, кога излегоа, веднаш се советуваа со иродовците против Него, за да Го уништат.
7. Исус се повлече со Своите ученици кон морето, и голема врволица од Галилеја и од Јудеја тргна по Него,
8. а од Ерусалим, од Идумеја и од другата страна на Јордан, од околината на Тир и Сидон, едночудо луѓе дојдоа кај Него, откако чуја што правел.
9. И Тој им рече на Своите ученици да Му се подготви еден кораб, заради народот, за да не Го притискаат,
10. бидејќи мнозина исцели, та нагрвалуваа на Него сите оние што страдаа, за да Го допрат.
11. И нечистите духови, штом ќе Го здогледаа, паѓаа ничкум пред Него и викаа, велејќи: 'Ти си Божјиот Син!'
12. А Тој строго им бранеше да не го разгласуваат тоа.
13. И се искачи на горатa и ги викна кај Себе оние, кои ги сакаше и тие отидоа кај Него.
14. И определи дванаесетмина да бидат со Него, да ги праќа да навестуваат
15. и да имаат власт да ги изгонуваат демоните.
16. И ги определи дванаесеттемина: Симон (на кого му го даде името Петар),
17. па Јаков, синот на Зебедеј и Јован, братот на Јаков (на кои им го даде името Боанергес - што значи: 'Синови на Громот'),
18. Андреј, Вилип, Бартоломеј, Матеј, Тома, Јаков, синот на Алфеј, Тадеј, Симон Хананецот
19. и Јуда Искариот, кој и Го предаде.
20. И дојдоа во една куќа, и пак се собра многу народ, па тие не можеа ниту леб да каснат.
21. А кога Неговите чуја за тоа, тргнаа да си Го приберат, зашто се зборуваше: 'Тој не е при Себеси.'
22. Закониците, пак, кои дојдоа од Ерусалим, зборуваа: 'Тој е опседнат со Белзебуб' и дека со помош на демонскиот принц ги истерува демоните.
23. И откако ги повика при Себеси, им зборуваше во споредби: 'Како може сатаната да изгонува сатана?
24. Ако во едно царство се случи раскол, тоа не може да се одржи.
25. И ако дом се раздели против себеси, тој дом не може да опстане.
26. И ако сатаната станал против себеси и се раздвоил, не ќе може да опстане, туку му дошол крајот.
27. Но никој не може да влезе во куќата на силен и да му ја ограби покуќнината, ако првин не го врзе силниот и потем да му ја обере куќата.
28. Вистина ви велам дека на човековите синови ќе им бидат простени сите гревови и хули како-годе изговорени;
29. но кој ќе похули на Светиот Дух, за него нема прошка довека,
30. туку ќе биде виновен за вечен грев. Зашто велеа: 'Има нечист дух!'
31. И тогаш дојдоа Неговата мајка и Неговите браќа и, стоејќи надвор, испратија порака да Го викнат.
32. А околу Него седеа многу луѓе и Му рекоа: 'Ете, мајка Ти и Твоите браќа надвор Те бараат!'
33. А Тој, одговарајќи им рече: 'Кои Ми се мајка и браќа?',
34. па ги погледна наоколу оние што седеа околу Него и рече: 'Еве ги Мојата мајка и Моите

браќа;
35. зашто, кој ја исполнува Божјата волја, тој Ми е брат, и сестра, и мајка.'

Глава 4

1. И пак почна да поучува крај морето. И околу Него се насобра многу народ, а Тој влезе во кораб и се најде во морето, а целиот вриеж беше на копното, крај морето.
2. А Тој со споредби ги поучуваше за многу работи и им рече во Својата поука:
3. 'Слушајте! Ете, излезе сејач да сее.
4. И кога сееше, едно семе падна покрај патот, и дојдоа птици и го исколваа.
5. Друго падна на каменлива почва, каде немаше многу земја; и никна брзо, зашто почвата не беше длабока.
6. А кога сонцето изгреа, овена и бидејќи немаше корен, се исуши.
7. И друго падна во трње, и трњето израсна и го задуши, па не донесе плод.
8. А друго падна на добра земја и донесе плод, кој напредуваше и растеше, и принесе: едно триесет, друго шеесет, а трето сто.'
9. И рече: 'Кој има уши да слуша, нека чуе! '
10. И штом остана Сам, оние кои беа околу Него, заедно со дванаесеттемина, Го прашаа за споредбата.
11. И им рече: 'Вам ви е дадена тајната на Божјото царство, а оние кои се надвор добиваат сè во споредби,
12. па ' гледајќи да гледаат, а да не видат; и слушајќи да слушаат, а да не разбираат, да не се покајат и простено да им биде'!'
13. И им рече: 'Не ја разбирате ли оваа споредба? Па како ќе ги разберете сите споредби!
14. Сејачот го сее словото.
15. Тие, покрај патот, каде се сее словото, се оние кај кои, кога ќе го чујат, веднаш доаѓа сатаната и го грабнува словото посеано во нив.
16. Слично е и со посеаните врз каменлива почва, кои, штом го чујат словото, го примаат со радост,
17. но немаат во себе корен, туку се непостојани, и кога ќе дојде невола или гонење заради словото, веднаш отпаѓаат.
18. А другите, што се посеани во трње, тоа се оние, кои го чуле словото,
19. но световните грижи, измамливоста на богатството, и копнежот по други работи, кога ќе влезат, го задушуваат словото, и тоа останува без плод.
20. А посеаните на добра земја се оние кои го слушаат словото, го примаат и донесуваат плод: триесет, шеесет, и стократно.
21. И им рече: 'Се внесува ли светилка за да се стави под вршник или под легло? Или да се стави на високо?
22. Зашто нема скриено, што не ќе биде откриено, или што е тајно, а да не излезе јавно.
23. Кој има уши да слуша, нека чуе!'
24. И им рече: 'Внимавајте што слушате! Со каква мера мерите, со таква ќе ви се мери, и уште ќе ви се придаде.
25. Зашто кој има, ќе му се даде, а кој нема, ќе му се земе и тоа што го има.'
26. И велеше: 'Така, Божјото царство прилега на човек кој фрла семе во земја;
27. легнува ноќе и станува дење, а семето никнува и расте, и самиот не знае како.
28. Земјата сама од себе донесува плод, најпрвин стебленце, потоа клас и најпосле клас полн со зрна.
29. А кога плодот узрее, веднаш праќа срп, зашто дошло времето за жетва.'
30. И велеше: 'Како да го прикажеме Божјото царство? Со каква споредба да го претставиме?
31. Тоа е како синапово зрно, кое, кога се сее во земјата, помало е од сите семиња на светот;
32. но кога е посеано, израснува и станува поголемо од сите растенија во градината и пушта големи гранки, та небесните птици можат да се гнездат под неговата сенка.'
33. Со многу такви споредби им го кажуваше словото, сè додека можеа да слушаат.
34. А без споредби ништо не им говореше, туку насамо им објаснуваше сè на Своите ученици.

35. Вечерта, на истиот ден, им рече на Своите ученици: 'Да преминеме на другана страна!'
36. И напуштајќи го народот, Го поведоа Исуса со себе, кој беше во коработ; а и други кораби
беа со Него.
37. Потоа се дигна силна бура, а брановите се префрлуваа преку коработ, па тој веќе тонеше.
38. А Тој спиеше кај кормилото на перница. Тие Го разбудија и Му рекоа: 'Учителе, зар не Си
загрижен што гинеме?'
39. И стана, му се закани на ветрот и му рече на морето: 'Стивни! Молкни!' И ветрот стивна и
настана длабока тишина.
40. Тогаш им рече: 'Зошто се плашите толку? Зарем немате вера?'
41. И ги опфати голем страв, и говореа еден на друг: 'Кој е Овој што и ветрот и морето Му се
покоруваат?'

Глава 5

1. И минаа од другата страна на морето, во Герасинскиот крај.
2. А кога Тој излезе од коработ, веднаш му дојде во пресрет, од гробовите, еден човек со нечист дух.
3. Тој живееше во гробовите и никој не можеше веќе ни со окови да го врзе,
4. зашто многупати го ставаа во окови и вериги, но тој ги кинеше веригите и ги кршеше оковите, и никој не можеше да го скроти.
5. И постојано, ноќе и дење, беше во гробовите и по ридовите, викајќи и удирајќи се самиот со камења.
6. И кога го виде Исуса оддалеку, дотрча, падна ничкум пред Него;
7. и извика со силен глас: 'Што имаш Ти со мене, Исусе, Сине на Севишниот Бог? Те заколнувам во Бога, не мачи ме!'
8. Зашто му рече: 'Излези од човеков, нечист духу!'
9. А Тој праша: 'Како ти е името?' Тој Му рече: 'Името ми е Легион, зашто многу нѐ има.'
10. И многу го молеа да не ги истера од тој крај.
11. А таму, по ридот, пасеше голем крдар свињи.
12. И Го замолија, велејќи: 'Прати нѐ кај свињине, да влеземе во нив.'
13. И Тој им дозволи и нечистите духови излегоа и влегоа во свињите, а крдарот се сурна по стрмнината в море, беа околу две илјади, и се удавија во морето.
14. А тие што ги пасеа побегнаа и разгласија во градот и по селата, и дотрчаа да видат што станало.
15. И кога дојдоа кај Исус и го видоа опседнатиот, во кого беше 'легионот', како седи облечен и присебен, се уплашија.
16. А тие, кои го видоа тоа, раскажуваа што се случи со опседнатиот и со свињите.
17. И почнаа да Го молат да си замине од нивниот крај.
18. А кога влегуваше во коработ, оној што беше опседнат од демоните Го молеше да биде со Него.
19. Но Тој не му одобри, туку му рече: 'Оди дома кај своите и раскажи им што ти направи Господ и како ти се смилува!'
20. И тој отиде и почна да раскажува по Декапол, што му направи Исус и сите се восхитуваа.
21. Кога Исус пак премина со коработ на другата страна, едночудо народ се собра околу Него, а Тој беше покрај морето.
22. Тогаш дојде еден од началниците на синагогата, по име Јаир и кога Го виде, падна пред Неговите нозе.
23. Го молеше многу, велејќи: 'Мојата ќерка е на умирање. Дојди и положи ги рацете над неа, за да биде исцелена и да живее!'
24. И Тој тргна со него, а голема врволица одеше по Него која Го притискаше.
25. Имаше една жена, која страдаше од крвавење дванаесет години,
26. и многу претрпе од мнозина лекари, па го потроши целиот свој имот, а од тоа немаше никаква полза, туку и беше уште полошо.
27. Откако чу за Исус, се мушна во толпата, одназад, и се допре до Неговата облека,
28. зашто си велеше: 'Ако се допрам макар и до Неговата облека, ќе оздравам!'
29. И веднаш прекина крвавењето и таа почувствува во телото дека е исцелена од болеста.
30. А Исус почувствува веднаш во Себе дека сила излезе од Него, се сврте сред народот и рече: 'Кој се допре до Мојава облека?'
31. Неговите ученици, пак, рекоа: 'Гледаш дека народот Те притиска, а уште прашуваш: 'Кој се допре до Мене?''
32. Тој се обѕрнуваше наоколу за да види кој го направи тоа.
33. А жената, уплашена и вџашена, зашто знаеше што стана со неа, дојде и падна пред Него и Му ја кажа сета вистина.

34. А Тој и рече: 'Ќерко, твојата вера те избави! Оди си со мир и биди исцелена од својата болест!'
35. Додека Тој уште зборуваше, дојдоа од домот на началникот на синагогата кому му рекоа: 'Ќерка ти веќе умре! Зошто уште Му додеваш на Учителот!'
36. А Исус, кога ја чу веста што ја кажаа, му рече на началникот на синагогата: 'Не плаши се! Само ти верувај!'
37. И никому не му дозволи да оди со Него, освен на Петар, Јаков и Јован, братот на Јаков.
38. Кога дојдоа во куќата на началникот, виде вриеж, лелек и пискотење,
39. и кога влезе, им рече: 'Зошто пискате и плачете? Девојчето не е умрено, туку си спие!'
40. А тие Му се потсмеваа. А Тој, откако ги истера сите надвор, ги зеде таткото, мајката и оние што Го придружуваа, и влезе таму каде што беше девојчето.
41. И кога го фати за рака му рече: 'Талита кум!' (што значи: 'Девојче, ти велам стани!')
42. И девојчето стана веднаш и одеше, зашто имаше дванаесет години. И веднаш се вчудовидоа.
43. А Тој строго им заповеда никој да не дознае за тоа, и им рече да му дадат да јаде на девојчето.

Глава 6

1. И замина оттаму и дојде во Својот роден крај, а Неговите ученици одеа по Него.
2. А кога дојде саботниот ден, почна да поучува во синагогата, и мнозина кои слушаа се зачудија и рекоа: 'Од каде Му е ова Нему? И каква е оваа мудрост што Му е дадена? И какви чуда прават Неговите раце?
3. Не е ли овој дрводелецот, Синот на Марија, и братот на Јаков, Јосиј, Јуда и Симон? И не се ли Неговите сестри тука меѓу нас?' И се навредија од Него.
4. А Исус им рече: 'Пророкот никаде не е без почести, освен во својот роден крај, меѓу своите роднини и во својот дом.'
5. И не можеше таму да направи ниедно чудо, освен што исцели неколку болни, полагајќи ги рацете врз нив.
6. И се чудеше на нивното неверие. Тој одеше по околните села и поучуваше.
7. И откако ги повика дванаесеттемина, почна да ги праќа по двајца, давајќи им власт над нечистите духови.
8. И Тој им заповеда да не носат ништо за по пат освен стап: ни леб, ни торба, ниту пари во појасот,
9. туку да се обуени во сандали и да не облекуваат по две облеки.
10. И им рече: 'Ако влезете во некој дом, останете таму додека не излезете оттаму.
11. А ако не ве примат и не ве послушаат, излезете оттаму а потоа истресете го правот од своите нозе, за да се осведочат!'
12. И тргнаа проповедајќи покајание.
13. И изгонуваа многу демони, и многу болни помазуваа со миро и ги исцелуваа.
14. Слушна и царот Ирод (зашто Неговото име беше прочуено), и зборуваше: 'Јован Крстителот станал од мртвите и затоа во него дејствуваат моќни сили!'
15. Едни пак велеа дека е Илија, а други дека е пророк, небаре еден од пророците.
16. Но кога Ирод чу, рече: 'Јован, кому јас му ја отсеков главата, станал од мртвите.'
17. Имено, Ирод испрати по Јован, го фати и го затвори в зандана, заради Иродијада, жената на брат му Вилип, со која се ожени,
18. зашто Јован му велеше на Ирод: 'Не ти е дозволено да ја имаш жената на твојот брат.'
19. А Иродијада беше озлобена на него и сакаше да го убие, но не можеше,
20. зашто Ирод се плашеше од Јован, знаејќи дека е човек праведен и свет, и го пазеше, а кога го слушаше, се збунуваше многу, но сепак го слушаше со задоволство.
21. И кога дојде згоден ден, откако Ирод на својот роденден им даде вечера на своите големци, војводи и галилејски првенци,
22. влезе ќерката на Иродијада, поигра и им угоди на Ирод и на неговите гости, а царот и рече на девојката: 'Побарај од мене што сакаш и ќе ти дадам,'
23. и и се заколна: 'Што и да побараш од мене, ќе ти дадам - до половина од моето царство.'
24. А таа излезе и ја праша мајка си: 'Што да побарам?' Таа рече: 'Главата на Јован Крстителот.'
25. И веднаш, откако влезе брзо кај царот, побара, велејќи: 'Сакам да ми ја дадеш, сега веднаш, на чинија, главата на Јован Крстителот.'
26. Е, тогаш, царот многу се натажи, ама поради заклетвата и гостите, не сакаше да ја одбие,
27. па веднаш испрати џелат и му нареди да ја донесе неговата глава. И тој отиде, му ја отсече главата во занданата,
28. ја донесе на чинија и и ја даде на девојката, а девојката и ја предаде на мајка си.
29. Кога неговите ученици чуја, дојдоа и го зедоа неговото тело и го положија в гроб.
30. Апостолите се собраа околу Исус и Го известија за сѐ што направиле и како поучувале.
31. А Тој им рече: 'Дојдете на осамено место и сами одморете се малку!' Зашто, мнозина доаѓаа и си заминуваа, а немаа време ни да јадат.
32. И сами тргнаа со кораб на осамено место.
33. Арно ама народот ги виде кога заминуваа и мнозина ги познаа и се упатија пеш, од сите

градови, и стигнаа пред нив.
34. А кога излезе од коработ, Тој виде едночудо луѓе и се сожали над нив, зашто прилегаа на овци без пастир, и почна да ги поучува за многу нешта.
35. И бидејќи времето поодмина, Неговите ученици Му пристапија и Му рекоа: 'Местово е пусто, а веќе е доцна.
36. Распушти ги, нека отидат по околните села и населби, и нека си купат нешто за јадење!'
37. А Тој одговори, велејќи: 'Вие дајте им да јадат!' Тие Му рекоа: 'Да одиме да купиме леб за двесте денарии и да им дадеме да јадат?'
38. А Тој изусти: 'Колку лебови имате? Појдете, видете!' И откако се вратија, рекоа: 'Пет леба и две риби.'
39. И им заповеда да ги распоредат сите по групи, на зелената трева.
40. И испоседнаа во групи по сто и педесет.
41. А Тој ги зеде петте леба и двете риби, погледна кон небото, благослови и ги раскрши лебовите, па им даваше на учениците да ги ставаат пред нив; и двете риби им ги раздели на сите.
42. И сите јадеа и се наситија.
43. И кренаа дванаесет кошници полни со парчиња леб и риби.
44. А оние што го јадеа лебот, беа пет илјади мажи.
45. Веднаш потоа ги натера Своите ученици да влезат во коработ и побргу од Него да отидат на спротивната страна, кон Бетсаида, додека Тој да го распушти народот.
46. И откако се раздели од нив, отиде на гората да се помоли.
47. Приквечер коработ беше сред море, а Тој остана сам на копното.
48. И кога ги виде како се мачат веслајќи, зашто ветрот им доаѓаше отспротива, околу четвртата ноќна стража, дојде до нив одејќи по морето, со намера да ги одмине.
49. А тие, кога Го видоа како оди по морето, помислија дека е привидение и извикаа,
50. зашто сите Го видоа и се исплашија. Но, Тој веднаш им проговори, велејќи: 'Бидете храбри! Јас Сум! Не плашете се!'
51. Тогаш влезе кај нив во коработ, а ветрот стивна. Тие се вчудовидоа,
52. зашто не го сфатија ни чудото со лебовите, бидејќи срцето им беше закоравено.
53. И кога преминаа, дојдоа на копно во Генесарет, каде слегоа.
54. Кога излегоа од коработ, луѓето веднаш Го препознаа,
55. се растрчаа по целата околина и почнаа да носат болни на постели, каде што ќе чуеја дека е Тој.
56. И каде и да влегуваше, во села или во градови, или по полињата, на пазариштата ги ставаа болните и Го молеа да се допрат барем до ресите на Неговата облека. И сите што Го допреа беа исцелени.

Глава 7

1. Околу Него се собраа фарисеите и некои од закониците, кои беа дошле од Ерусалим,
2. и видоа дека некои од Неговите ученици јадат леб со нечисти, односно неизмиени раце.
3. (Зашто фарисеите и сите Евреи, држејќи се до традицијата на старите, не јадат ако не ги измијат рацете до лакти;
4. и кога ќе се вратат од пазар, не јадат ако не се измијат. А има уште многу нешта што ги прифатиле и ги зачувале: миење на чаши, стомни и бакарни садови.)
5. И така, фарисеите и закониците Го прашаа: 'Зошто Твоите ученици не живеат според традицијата на старите, туку јадат леб со неизмиени раце?'
6. А Тој им рече: 'Добро пророкуваше Исаија за вас лицемерите, како што е запишано: 'Овој народ со уста Ме почитува, а неговото срце е далеку од Мене;
7. залудно Ме почитува, кога проповеда учења кои всушност се човечки заповеди.'
8. Вие ја оставате Божјата заповед, а се држите за човечката традиција.
9. На убав начин ја укинувате' - продолжи Тој - 'Божјата заповед, за да ја зачувате вашата традиција!
10. Имено, Мојсеј рече: 'Почитувај ги татка си и мајка си!' и 'Кој ќе го навреди таткото и мајката, да биде казнет со смрт!'
11. А вие велите: 'Ако некој им рече на својот татко или на својата мајка: 'Тоа со што требаше да ти помогнам го дадов курбан (жртва, наменета за Бог),'
12. веќе не го оставате да направи ништо за својот татко и за својата мајка.
13. И така правите престап спрема Божјото слово со својата традиција, која вие ја воспоставивте, и правите многу други работи слични на ова.'
14. Откако повторно го повика народот кај Себе, му рече: 'Слушајте ме сите и разберете!
15. Нема ништо однадвор што би можело да го направи човекот нечист кога ќе влезе во него; туку она што излегува од човекот, тоа го прави нечист.
16. Кој има уши, нека слуша!'
17. Кога се оддалечи од народот, влезе во една куќа, а Неговите ученици Го прашаа за смислата на споредбата.
18. Тој им рече: 'Така! Зар и вие не разбирате? Не сфаќате ли дека ништо што влегува однадвор во него, не може да го направи човекот нечист,
19. зашто не влегува во неговото срце, туку во желудникот и излегува од него?' (Така Тој ја прогласи сета храна за чиста.)
20. Исто така им велеше: 'Она што излегува од човекот, тоа го прави нечист,
21. зашто од внатрешноста, од човековото срце, излегуваат зли мисли, блудства, кражби, убиства,
22. прељуби, лакомства, пакости, лукавства, разузданост, завист, богохулство, безобѕирност, гордост, безумност.
23. Сите тие зла излегуваат однатре и го прават човекот нечист.'
24. Оттаму Тој стана и отиде во областа Тир и Сидон. Влезе во една куќа, а сакаше никој да не дознае. Но не можеше да остане незабележан.
25. Кога пак чу за него една жена, чија ќерка имаше нечист дух, дојде и падна пред Неговите нозе.
26. А таа жена беше Гркинка, родум сирофеничанка. И Го молеше да го истера демонот од ќерка и .
27. А Тој и рече: 'Остави ги прво да се наситат децата, зашто не е добро да им се земе лебот на децата и да им се фрли на кучињата.'
28. Таа пак одговори: 'Добро, Господи! Но и кучињата под трпезата јадат од трошките на децата.'
29. И Тој и рече: 'Заради тој збор, оди си, демонот излезе од ќерка ти.'
30. И кога се врати дома го најде девојчето како лежи на постелата, а демонот беше излегол.

31. И кога излезе пак од пределите на Тир, дојде, преку Сидон, до Галилејското Море, сред пределите на Декапол.
32. Ете Му доведоа човек глув, кој тешко зборуваше и Го молеа да положи рака врз него.
33. И го оттргна насамо од народот, ги стави Своите прсти во неговите уши, и откако плукна, го допре неговиот јазик,
34. погледна кон небото, воздивна и му рече: 'Ефата!' - што значи: 'Отвори се!'
35. И веднаш му се отворија ушите и му се разврза врвцата на неговиот јазик, и правилно зборуваше.
36. И им се закани никому да не кажуваат. Но колку што повеќе Тој им заповедуваше, толку повеќе тие разгласуваа.
37. И прекумерно се чудеа и велеа: 'Само добрини чини! И глувите ги прави да слушаат и немите да зборуваат!'

Глава 8

1. Во тие дни, кога пак се собраа едночудо луѓе и немаа што да јадат, ги повика Своите ученици и им рече:
2. 'Жал ми е за луѓето, зашто веќе три дни постојано се со Мене а нема што да јадат.
3. Ако ги распуштам гладни по нивните куќи, ќе премалат по патот, зашто некои од нив се дојдени оддалеку.'
4. А учениците Му одговорија: 'Како може некој да ги нахрани со леб во оваа пустина?'
5. А Тој ги праша: 'Колку леба имате?' Тие рекоа: 'Седум'.
6. Тогаш им заповеда на луѓето да испоседнат наземи. И ги зеде седумте леба, заблагодари и ги раскрши, и им даваше на Своите ученици да ги делат, а тие им ги раздадоа на луѓето.
7. Имаа и малку риби. И откако ги благослови, заповеда да ги поделат и нив.
8. И јадеа до наситка, и дигнаа седум кошеви со преостанати парчиња.
9. А беа околу четири илјади; и Тој ги распушти.
10. И веднаш влезе во коработ со учениците, и дојде во околината на Далманута.
11. Варисеите излегоа и почнаа да се препираат со Него, барајќи од Него знак од небото за да Го искушаат.
12. А Тој воздивна длабоко во духот и рече: 'Зошто ова поколение бара знак? Вистина ви велам, на ова поколение нема да му се даде знак.'
13. И ги остави, повторно влезе во коработ и премина на другата страна.
14. И заборавија да земат леб, а имаа само еден леб со себе во коработ.
15. Тогаш Тој им заповеда, велејќи им: 'Внимавајте! Чувајте се од фарисејскиот и од Иродовиот квасец!'
16. Тие пак размислуваа меѓу себе: 'Па ние немаме леб!'
17. А Исус кога го разбра тоа, им рече: 'Зошто мислите дека немате леб? Уште ли не разбирате и не сфаќате? Закоравено ли е вашето срце?
18. Очи имате, а не гледате? Уши имате, а не слушате? И не си спомнувате ли,
19. кога ги раскршив петте леба на пет илјади, колку кошеви полни со парчиња кренавте?' Му рекоа: 'Дванаесет.'
20. 'Кога раскршив седум леба на четири илјади, колку кошеви полни со парчиња кренавте?' Рекоа: 'Седум'.
21. И им рече; 'Уште ли не разбирате?'
22. И дојдоа во Бетсаида, па Му доведоа еден слеп и Го молеа да го допре.
23. Тој го фати слепиот за рака, го изведе надвор од селото и откако му плукна во очите, ги положи рацете на него и го праша: 'Гледаш ли нешто?'
24. Тој ги поткрена очите и рече: 'Гледам луѓе, небаре се дрвја што одат.'
25. Потоа пак ги положи рацете на неговите очи, и тој прогледа и оздраве, и гледаше сè јасно.
26. И го испрати во неговиот дом, велејќи му: 'Не навраќај во селото, и никому не кажувај му!'
27. Излезе Исус со Своите ученици по селата на Цезареја Вилипова; а по пат ги прашуваше, велејќи им: 'Што велат луѓето, кој сум Јас?'
28. Тие Му рекоа: 'Јован Крстителот, други велат Илија, а трети - дека си еден од пророците.'
29. Но Тој ги праша: 'А вие, за кого Ме сметате?' Петар Му одговори и рече: 'Ти си Христос'.
30. И им забрани никому да не зборуваат за Него.
31. И почна да ги поучува дека Синот Човеков треба многу да страда и да биде отфрлен од старешините, првосвештениците и закониците; дека ќе Го убијат и дека по три дни ќе воскресне.
32. И тоа го зборуваше отворено. А Петар Го повлече настрана и почна да Го прекорува.
33. Но Тој се заврте и откако ги погледна Своите ученици, го прекори Петар и рече: 'Бегај зад Мене, сатано, зашто ти не мислиш за она што е Божјо, туку за она што е човечко.'
34. И го повика народот, заедно со Своите ученици, и им рече: 'Оној што сака да тргне по Мене, нека се откаже од себеси и нека го земе својот крст, па нека оди по Мене.

35. Зашто, кој сака да ја спаси својата душа, ќе ја загуби, а оној што ќе ја загуби својата душа заради Мене и Евангелието, ќе ја спаси.
36. Зашто, каква полза има човекот, ако го добие целиот свет, а и напакости на својата душа!
37. И што може човекот да даде во замена за својата душа?
38. Зашто, кој се срами од Мене и од Моите зборови во ова прељубничко и грешно поколение, и Синот Човеков ќе се засрами од него, кога ќе дојде во славата на Својот Татко, заедно со светите ангели. '

Глава 9

1. И им рече: 'Вистина ви велам - има некои меѓу вас, кои стојат тука, а кои нема да вкусат смрт, додека не го видат Божјото царство како стапува во сила.'
2. И по шест дни, Исус ги зеде Петар, Јаков и Јован и со Себе ги поведе само нив на една висока гора, насамо, и се преобрази пред нив;
3. неговата облека стана блескава и многу бела, како што ниедно белило на земјата не може да ја избели.
4. И им се јави Илија со Мојсеј, па разговараа со Исус.
5. А Петар проговори и Му рече на Исус: 'Раби, добро е да сме тука. Да направиме три сеници: една за Тебе, една за Мојсеј и една за Илија.'
6. Всушност, не знаеше што да рече, зашто беа многу уплашени.
7. И наиде облак и ги засени, а од облакот се чу глас: 'Овој е Мојот возљубен Син! Слушајте Го!'
8. И одеднаш кога се обѕрнаа, веќе никого не видоа крај себе, освен Исус.
9. А кога слегуваа од горага, им заповеда никому да не му кажуваат што видоа, додека Синот Човеков не воскресне од мртвите.'
10. И тие го држеа цврсто тој збор, меѓусебно расправајќи: што значи - воскреснување од мртвите?
11. И Го прашаа: 'Зошто законициге велат дека најпрвин треба да дојде Илија?'
12. А Тој им рече: 'Прво ќе дојде Илија, и сè ќе воспостави. А како што е напишано за Синот Човеков: Тој треба многу да претрпи и да биде презрен?
13. Но, Јас ви велам дека Илија дојде, и дека постапија со него како што сакаа, како што е напишано за него.'
14. И кога дојдоа кај Исусовите ученици, видоа едночудо луѓе околу нив, и законици кои се препираа со нив.
15. Штом целиот народ Го здогледа, се вчудовиде, а луѓето се стрчаа и Го поздравуваа.
16. А Тој ги праша: 'За што се препирате со нив?'
17. А еден од народот му одговори: 'Учителе, Ти го доведов својот син, во кого има дух кој го онемува;
18. и кога го фаќа, го кутнува, му тече пена на уста, чкрта со забите и се вкочанува. Им реков на Твоите ученици да го истераат, но не можеа.'
19. А Тој одговори, велејќи: 'О неверно поколение, до кога ќе бидам со вас? До кога ќе ве трпам? Доведете го кај Мене!'
20. И Му го доведоа. А штом духот Го виде Него, веднаш го стресе момчето и тоа падна наземи, тркалајќи се со пена на устата.
21. Тогаш го праша татка му: 'Колку време има откако му се случува ова?' А тој рече: 'Од детството,
22. а често го фрла во оган и во вода, за да го погуби. Но, ако можеш нешто да сториш, смилувај ни се и помогни ни!'
23. Исус пак му рече: 'Ако можеш! Сè е можно за оној што верува!'
24. Таткото на момчето веднаш извика, велејќи: 'Верувам! Помогни му на моето неверие!'
25. А Исус, штом виде дека се собира народ, му се закани на нечистиот дух и му рече: 'Духу, кој предизвикуваш немост и глувост, Јас ти заповедам, излези од него и повеќе не влегувај во него!'
26. И откако извика, силно го стресе детето и тој излезе. А тоа беше небаре мртво, така што мнозина велеа дека умрело.
27. Исус, пак, го фати за рака, го поткрена и тоа стана.
28. А кога дојде во куќата, Неговите ученици Го прашаа насамо: 'Зошто ние не можевме да го истераме?'
29. Тој им одговори: 'Оваа порода со ништо не може да се истера, освен со молитва.'
30. Кога заминаа оттаму, минуваа низ Галилеја, и не сакаше никој да дознае за тоа;

31. имено, Тој ги поучуваше Своите ученици, велејќи: 'Синот Човеков ќе биде предаден во човечки раце, и ќе Го убијат, и откако ќе Го убијат, Тој ќе воскресне на третиот ден.
32. Но тие не ја разбраа таа изјава, а се плашеа да Го прашаат.'
33. И дојдоа во Капернаум, и кога беше во куќата, Тој ги праша: 'За што се расправавте по пат?'
34. А тие молчеа, зашто по пат се расправаа меѓусебно за тоа кој е најголем.
35. Тој, пак, седна, ги повика дванаесеттемина и им рече: 'Кој сака да биде прв, нека биде последен и слуга на сите!'
36. Тогаш зеде едно дете, го постави меѓу нив, го прегрна и им рече:
37. 'Кој прима едно вакво дете во Мое име, Мене Ме прима, а кој Ме прима Мене, не Ме прима Мене, туку Оној Кој Ме испрати.'
38. Јован Му рече: 'Учителе, видовме еден кој во Твое име изгонуваше демони, а не нѐ следи, та му забранивме, зашто не оди по нас.'
39. А Исус рече: 'Не бранете му! Зашто нема никој кој би правел чудо во Мое име, а да може веднаш потоа лошо да зборува за Мене.
40. Оти, оној кој не е против нас, тој е со нас.
41. И кој ќе ви даде чаша студена вода во Мое име, бидејќи сте Христови, вистина ви велам, нема да ја загуби својата награда.'
42. А кој ќе наведе на грев едно од овие малечкиве кои веруваат во Мене, за него подобро ќе биде да му обесат на вратот воденички камен и да го фрлат в море.
43. И ако твојата рака те наведува на грев, отсечи ја. Подобро е да влезеш без рака во животот, отколку со двете раце да отидеш во пеколот, во неугаслив оган,
44. каде што нивниот црв не умира, и огнот не згаснува.
45. Ако твојата нога те наведува на грев, отсечи ја! Подобро е за тебе да влезеш во животот сакат, отколку со двете нозе да бидеш фрлен во пеколот,
46. каде што нивниот црв не умира, и огнот не згаснува.
47. И ако и твоето око те наведува на грев, извади го! Подобро е за тебе да влезеш во Божјото царство со едно око, отколку да бидеш со двете очи фрлен во пеколот,
48. каде што нивниот црв не умира, и огнот не згаснува.
49. Зашто секој ќе биде посолен со оган.
50. Солта е добра, но ако солта стане несолена, со што ќе ја осолите? Имајте сол во себе и имајте мир меѓу себе.'

Глава 10

1. И стана оттаму и дојде во пределите на Јудеја, од онаа страна на Јордан; и пак народот Му се придружи, а Тој повторно ги поучуваше, според Својот обичај.
2. Му пристапија фарисеите и Го прашаа, за да Го искушуваат: 'Дали е дозволено мажот да ја остави жената?'
3. А Тој им одговори, велејќи: 'Што ви заповеда Мојсеј?'
4. Тие рекоа: 'Мојсеј дозволи да и се напише разводна книга и да се отпушти.'
5. Но Исус им рече: 'Заради вашето закоравено срце тој ви ја напиша таа заповед.
6. Но, во почетокот на создавањето, Бог ги создаде како машко и женско.
7. Затоа човекот ќе ги остави татка си и мајка си
8. и двајцата ќе станат едно тело. И така, не се веќе две, туку едно тело.
9. Затоа, она што Бог го соединил, човекот да не го раздвојува.'
10. И во куќата, учениците пак го прашаа за тоа.
11. А Тој им рече: 'Кој ќе ја напушти својата жена и се ожени со друга, чини прељуба спроти неа.
12. И ако таа го напушти мажот и се омажи за друг, прави прељуба.'
13. И Му носеа деца, за да ги допре, а учениците ги прекоруваа.
14. Кога, пак, Исус го виде тоа, негодуваше и им рече: 'Оставете ги децата да дојдат кај Мене. Не бранете им, зашто на таквите им припаѓа Божјото царство!
15. Вистина ви велам, кој не го прима Божјото царство како мало дете, нема да влезе во него.'
16. И ги гушна и ги благослови, положувајќи ги рацете врз нив.
17. Кога излегуваше на пат, притрча еден, клекна пред Него и Го праша: 'Добар Учителе, што да правам за да наследам вечен живот?'
18. А Исус му рече: 'Зошто Ме нарекуваш добар! Никој не е добар освен самиот Бог.
19. Ги знаеш заповедите: Не убивај! Не чини прељуба! Не кради! Не сведочи лажно! Не мами! Почитувај го таткото свој и мајката своја!'
20. Но тој Му одговори: 'Учителе, за сето тоа се застапував од својата младост.'
21. А Исус го погледна, му стана мило и му рече: 'Едно ти недовтасува: оди, продај сѐ што имаш, и раздај им го на сиромасите, па ќе имаш богатство на небото! И дојди, следи Ме!'
22. А тој се натажи од овие зборови и си замина нажален, зашто имаше многу имот.
23. Исус погледна наоколу и им рече на учениците: 'Колку е тешко богатите да влезат во Божјото царство!'
24. А тие се вчудовидоа од Неговите зборови. Но Исус пак проговори и им рече: 'Чеда, колку е тешко да се влезе во Божјото царство!
25. Полесно и е на камилата да се протне низ иглени уши, отколку богат да влезе во Божјото царство!'
26. А тие се зачудија уште повеќе, велејќи си еден на друг: 'Тогаш, кој може да биде спасен?'
27. Исус ги погледна и им рече: 'За луѓето тоа е невозможно, но не и за Бог, зашто со Бог сѐ е можно!'
28. Петар почна да Му зборува: 'Гледај, ние оставивме сѐ и тргнавме по Тебе!'
29. Но Исус, пак, одговори, велејќи: 'Вистина ви велам: нема никој, кој ќе остави куќа или браќа, или сестри, или мајка или татко, или деца, или ниви, заради Мене и заради Евангелието,
30. а да не прими, сега стократно, во ова време: куќи, и браќа, и сестри, и мајки, и деца и ниви - со прогонства - а во идниот век, вечен живот.
31. Но мнозина први ќе бидат последни, а последните - први.'
32. Кога одеа по патот, искачувајќи се кон Ерусалим, Исус одеше пред нив, а тие беа вџашени, додека оние кои Го следеа беа исплашени. И пак ги одвои дванаесеттемина и почна да им раскажува што ќе Му се случи:
33. 'Еве, одиме горе во Ерусалим и Синот Човеков ќе им биде предаден на првосвештениците и

на закониците и тие ќе Го осудат на смрт и ќе Го предадат на неевреите;
34. и ќе Му се ругаат, ќе Го плукаат, ќе Го камшикуваат и ќе Го убијат, а Тој по три дена ќе воскресне.'
35. И Му пристапија Јаков и Јован, Зебедеевите синови, и Му рекоа: 'Учителе, сакаме да направиш за нас сѐ што ќе побараме од Тебе.'
36. А Тој ги праша: 'Што сакате да направам за вас?'
37. Тие пак Му рекоа: 'Дозволи ни да седнеме еден оддесно, а друг одлево до Тебе во Твојата слава!'
38. А Исус им рече: 'Не знаете што барате! Можете ли да ја пиете чашата што Јас ја пијам или да бидете крштавани со крштавањето со кое Јас сум крштаван?'
39. Тие Му одговорија: 'Можеме!' Но Исус им рече: 'Ќе ја пиете чашата што Јас ја пијам и ќе бидете крштавани со крштавањето со кое Јас се крштавам;
40. но да се седне оддесно или одлево до Мене, тоа не го дозволувам Јас, а ќе им се дозволи на оние за кои е приготвено.'
41. А десеттемина кога чуја, почнаа да негодуваат против Јаков и Јован.
42. Но Исус ги повика кај Себе и им рече: 'Знаете дека оние што се сметаат за владетели на народите - господарат над нив; и дека нивните големци имаат власт над нив.
43. Но меѓу вас не е така. Кој сака да биде голем меѓу вас нека ви биде слуга!
44. А кој сака да биде прв меѓу вас, нека ви биде слуга на сите,
45. зашто и Синот Човеков не дојде да Му служат, туку да служи и да ја даде Својата душа за откуп на мнозина!'
46. И дојдоа во Ерихон. А кога излегуваше од Ерихон со Своите ученици и со едночудо луѓе, Бартимеј, Тимеевиот син, слеп питач, седеше крај патот.
47. И штом чу дека тоа е Исус Назареќанецот почна да вика, велејќи: 'Исусе, сине Давидов, смилувај ми се!'
48. А мнозина му се закануваа да молчи, но тој викаше уште посилно: 'Сине Давидов, смилувај ми се!'
49. Исус застана и рече: 'Викнете го!' И го викнаа слепиот и му рекоа: 'Не плаши се! Стани, те вика!'
50. А тој ја фрли својата наметка, скокна и дојде кај Исус.
51. Исус пак проговори: 'Што сакаш да направам за тебе?' А слепиот Му одговори: 'Учителе, да прогледам!'
52. Тогаш Исус му рече: 'Оди си - твојата вера те исцели!' И веднаш прогледа и тргна по Него, следејќи Го Неговиот пат.

Глава 11

1. Кога се приближија до Ерусалим, во Бетфагија и Бетанија, кај Маслиновата Гора, Исус испрати двајца Свои ученици,
2. и им рече: 'Појдете во селоно што е пред вас и штом ќе влезете во него, ќе најдете врзано магаренце, на кое уште никој не јавал. Одврзете го и доведете го!
3. И ако некој ве праша: 'Зошто го правите тоа?', речете: 'Му треба на Господ', и тој веднаш ќе го прати тука.'
4. И отидоа и го најдоа магаренцето врзано до вратата, надвор крај патот, и го одврзаа.
5. А некои од оние што стоеја таму им рекоа: 'Што правите? Зошто го одврзувате магаренцето?'
6. А овие им одговорија како што им рече Исус, и тие ги пуштија.
7. Го доведоа магаренцето кај Исус, ги ставија своите облеки врз него, и Тој седна над нив.
8. А мнозина ги постилаа своите облеки по патот, а други, пак, фрлаа гранчиња, што ги сечеа по нивите.
9. А тие кои одеа пред Него и по Него, извикуваа: 'Осана!' 'Благословен е Оној Кој доаѓа во Господовото име!'
10. 'Благословено е царството на нашиот татко Давид, кое доаѓа!' 'Осана во висините!'
11. И влезе во Ерусалим, во Храмот, и штом разгледа сè, бидејќи веќе беше доцна, отиде со дванаесеттемина во Бетанија.
12. А утредента, кога излегоа од Бетанија, Тој огладне
13. и оддалеку виде една смоква, разлистена, па тргна кон неа, не ќе најде ли нешто, а кога втаса, не најде ништо освен лисја, зашто уште не беше време за смокви.
14. Тогаш проговори и и рече: 'Отсега довека никој да не касне плод од тебе!' А Неговите ученици слушаа.
15. Потоа пак дојдоа во Ерусалим, и кога влезе во Храмот почна да ги брка сите што купуваа и продаваа во Храмот. И им ги преврте масите на менувачите на пари и тезгите на продавачите на гулаби.
16. И не дозволуваше некој да носи каков-годе сад низ Храмот.
17. Потоа ги поучуваше, велејќи им: 'Не е ли напишано: 'Мојот дом ќе се нарече Дом на молитва за сите народи?' А вие направивте од него разбојничко дувло!'
18. А првосвештениците и закониците го чуја тоа, и бараа начин да Го погубат, зашто се плашеа од Него, додека сиот народ беше восхитен од Неговото учење.
19. А кога се стемни, Тој излезе од градот.
20. Утрото кога поминуваа, ја видоа смокварта исушена од корен.
21. Петар се сети и Му рече: 'Учителе, погледни! Се исушила смоквава што ја проколна!'
22. Исус одговори, велејќи: 'Имајте вера во Бог!
23. Вистина ви велам, ако некој и рече на оваа гора: 'Дигни се и фрли се во морето', а не се посомнева во своето срце, туку верува дека ќе се збидне она што го рекол, така и ќе биде.
24. Затоа ви велам: сè што ќе побарате во молитва, верувајте дека го примивте, и ќе ви се збиде.
25. И кога сте на молитва, простете ако имате нешто против некого, па и вашиот Татко, Кој е на небесата, да ви ги прости вашите гревови.
26. Ако пак не проштавате, и вашиот Татко, Кој е на небесата, нема да ви ги прости вашите гревови.'
27. Потоа пак дојдоа во Ерусалим, и кога одеше низ Храмот, дојдоа кај Него првосвештениците, закониците и старешините,
28. и Му рекоа: 'Со каква власт го правиш ова и Кој Ти ја даде таа власт да го правиш тоа?'
29. А Исус им рече: 'Ќе ве прашам нешто, а вие одговорете Ми, па ќе ви кажам со каква власт го правам ова.
30. Јовановото крштавање, од небото ли беше или од луѓето? Одговорете Ми!'

31. А тие расправаа меѓу себе: 'Ако кажеме од небото, ќе ни рече: 'Зошто тогаш не му поверувавте?'
32. А што ако речеме, 'од луѓето'?' Се плашеа од народот, зашто сите сметаа дека Јован беше навистина пророк.
33. Му одговорија на Исус, велејќи: 'Не знаеме!' А Исус им рече: 'Ни Јас не ви кажувам со каква власт го правам ова.'

Глава 12

1. И почна да им говори во споредби: 'Еден човек насади лозје, го загради со плет, ископа место за гмечало, изгради кула и го даде под наем на лозарите, па замина.
2. А кога дојде време, испрати слуга кај лозарите да прими од нив дел од плодот на лозјето.
3. Но тие го фатија, го претепаа и го пуштија со празни раце.
4. И пак им испрати друг слуга, а овега го ранија во главата и го навредуваа.
5. Тој испрати и трет, а него го убија; така се случи и со мнозина други: едни претепаа, а други убија.
6. Имаше тој и син кој му беше многу милен. Него го испрати последен кај нив, велејќи: 'Ќе имаат почит спрема мојот син!'
7. Но, лозарите си рекоа меѓу себе: 'Овој е наследникот! Ајде да го убиеме и наследството ќе биде наше.'
8. И го фатија, го убија и го исфрлија надвор од лозјето.
9. И така, што ќе направи сега господарот на лозјето? Ќе дојде и ќе ги погуби лозарите, а лозјето ќе го даде на други.
10. Зар не сте ги прочитале овие зборови во Писмото: 'Каменот што го отфрлија ѕидарите, стана темелен камен;
11. тоа е од Господ и прекрасно е во нашите очи!'
12. А тие демнеа да Го фатат, но се плашеа од народот, зашто разбраа дека за нив ја кажа таа споредба. И така, Го оставија и си отидоа.
13. Тогаш испратија некои од фарисеите и иродовците, за да Го фатат за збор.
14. Тие дојдоа и Му рекоа: 'Учителе, знаеме дека ја зборуваш вистината и дека не се плашиш од никого, зашто не гледаш кој е кој, туку вистинито поучуваш за Божјиот пат. Треба ли да му се дава данок на цезарот или не? Да даваме или да не даваме?'
15. А Тој, знаејќи го нивното лицемерство, им рече: 'Зошто Ме искушувате? Донесете ми да видам еден денариј!'
16. А тие Му донесоа. И им рече: 'Чиј е овој лик и натпис?' Тие рекоа: 'На цезарот.'
17. Исус им рече: 'Дајте му го цезаревото на цезарот, а Божјото на Бог.' И тие Му се восхитуваа.
18. Дојдоа кај Него садукеите, кои велат дека нема воскресение, па Го прашаа, велејќи:
19. 'Учителе, Мојсеј ни напиша: 'Ако некому умре брат и остави жена, а не остави потомок, неговиот брат да ја земе жена му и да му воздигне потомство на својот брат.'
20. Беа седуммина браќа. Првиот ја зеде жената и умре, а не остави потомок.
21. И вториот ја зеде и умре, а не остави потомок. И третиот исто така.
22. Седумтемина не оставија потомство. А по сите умре и жената.
23. По воскресението, кога ќе воскреснат, на кого од нив ќе му припадне жената, зашто седумтемина ја имаа за жена?'
24. Исус им рече: 'Зарем не грешите, затоа што не ги знаете ни Писмата, ниту Божјата сила?
25. Кога ќе воскреснат од мртвите, ниту ќе се женат, ниту ќе се мажат, туку ќе бидат како ангелите на небото.
26. А за мртвите, дека ќе воскреснат, не читавте ли во Мојсеевата книга како Бог му рече кај капината: 'Јас Сум Богот на Авраам, Богот на Исак и Богот на Јаков'?
27. Тој не е Бог на мртвите, туку на живите! Во заблуда сте!'
28. Пристапи еден од закониците, кој чу како се препираат, а знаејќи дека им одговори добро, Го праша: 'Која е прва од сите заповеди?'
29. Исус одговори: 'Првата е: 'Слушај, о Израеле: Господ, нашиот Бог, е единствен Господ,
30. и љуби Го Господ својот Бог со сето свое срце, со сета своја душа, со сиот свој разум и со сета своја сила!'
31. А ова е втората: 'Љуби го својот ближен како себеси!' Друга заповед, поголема од овие, нема.'

32. А законикот Му рече: 'Точно, Учителе! Ја кажа вистината дека Бог е еден, и нема друг освен Него,
33. и да Го љубиш Него со сето срце, со сиот разум и со сета сила, и да го љубиш ближниот како себеси - тоа е многу повеќе од сите жртви паленици и приноси.'
34. А Исус кога виде дека одговори разумно, му рече: 'Не си далеку од Божјото царство.' И никој повеќе не се осмели да Го праша.
35. Потоа Исус зборуваше, поучувајќи во Храмот: 'Зошто велат законициите дека Христос е Давидов Син?
36. Самиот Давид рече преку Светиот Дух: 'Му рече Господ на мојот Господ: - Седни од Мојата десна страна, додека не ги соборам Твоите непријатели под нозете Твои.'
37. Самиот Давид Го нарекува Него 'Господ' - како може тогаш да му биде син?' И многу народ Го слушаше со задоволство.
38. А во Својата поука рече: 'Чувајте се од законициите, кои сакаат да одат во долги облеки; да бидат поздравувани по пазариштата;
39. да имаат први места во синагогите, и почесни места на гоштавките,
40. кои ги подјадуваат домовите на вдовиците, и навидум долго се молат - тие ќе бидат судени постр513!'
41. И Тој седна спроти ковчежето за прилози и гледаше како народот пушта пари во него, а мнозина богати пуштаа многу.
42. Потоа дојде една бедна вдовица и пушти внатре две парички, односно еден кодрант.
43. Тогаш ги повика Своите ученици и им рече: 'Вистина ви велам, дека беднава вдовица даде повеќе од сите што пуштаа во ковчежето.
44. Зашто сите одделија од тоа што им е премногу, а таа од својата немаштина - пушти сè што имаше за живеачка.'

Глава 13

1. И кога излегуваше од Храмот, еден од Неговите ученици Му рече: 'Учителе! Гледај - какви прекрасни камења и какви зданија!'
2. А Исус му рече: 'Ги гледаш ли овие големи градби? Нема да остане камен на камен, што не ќе биде разурнат.'
3. И кога седеше на Маслиновата Гора, спроти Храмот, Петар, Јаков, Јован и Андреј Го прашаа насамо:
4. 'Кажи ни кога ќе се случи тоа, и каков ќе биде знакот кога сето тоа ќе се исполни?'
5. А Исус почна да им зборува: 'Внимавајте некој да не ве измами!
6. Мнозина ќе дојдат во Мое име и ќе речат: 'Јас Сум' - и ќе измамат многумина.
7. А кога ќе чуете за војни и гласови за војни, не плашете се! Зашто така треба да биде, но тоа уште не е крајот;
8. зашто ќе се крене народ против народ и царство против царство, ќе има земјотреси на разни места, и ќе има глад. Тоа е почетокот на породилните болки.
9. Но вие, чувајте се! Ќе ве предаваат на судовите и ќе ве тепаат во синагогите, пред управници и цареви ќе стоите поради Мене, ним за сведоштво.
10. Најнапред Евангелието треба да им биде проповедано на сите народи.
11. А кога ќе ве поведат и ве предадат, не грижете се однапред што ќе зборувате; туку она што ќе ви биде дадено во тој час, зборувајте го тоа, зашто нема да зборувате вие, туку Светиот Дух.
12. И брат братот свој ќе го предаде на смрт, и татко - своето чедо. И децата ќе станат против родителите и ќе ги убиваат.
13. И сите ќе ве мразат заради Мене, а оној што ќе истрае докрај, ќе биде спасен.
14. А кога ќе видите дека гнасното опустошување стои таму каде што не треба, кој чита, нека разбере, тогаш оние што се во Јудеја нека бегаат по горите!
15. Кој е на покрив, нека не слегува и нека не влегува да земе нешто од својата куќа;
16. а кој е в поле, нека не се враќа да го земе своето наметало.
17. Тешко им на бремените жени и на доилките во тие дни!
18. Молете се, тоа да не биде зиме!
19. Зашто во тие дни ќе има невола каква што немало од почетокот на Божјото создавање, ниту пак ќе има.
20. И ако Господ не ги скуси тие дни, не ќе се спаси ниту еден човек, но заради избраните, што Тој ги избра, ќе ги скрати дните.
21. И ако некој ви рече тогаш: 'Еве, тука е Христос! Ене, таму е!', не верувајте;
22. зашто ќе се појават лажни христоси и лажни пророци и ќе покажат чудотворни знаци и чуда, за да ги измамат избраните, ако е можно.
23. А вие внимавајте! Ете, однапред ви кажав сѐ!'
24. 'Во тие дни, по тие неволи, сонцето ќе потемни и месечината нема да ја дава својата светлина,
25. ѕвездите ќе паѓаат од небото и небесните сили ќе се разнишаат.
26. И тогаш ќе Го видат Синот Човеков како доаѓа на облаци, со голема сила и слава.
27. Тогаш Тој ќе ги испрати ангелите и ќе ги собере Своите избрани од четирите ветра, од крајот на земјата до крајот на небото.'
28. 'А од смоквата научете ја оваа споредба: кога нејзината гранка ќе омекне и разлисти, знаете дека летото е близу.
29. Така и вие, кога ќе видите дека се случува ова, знајте дека Тој е близу, пред врата.
30. Вистина ви велам, ова поколение нема да мине додека сето ова не се збидне.
31. Небото и земјата ќе поминат, но Моите зборови нема да поминат.'
32. 'А за оној ден и час, никој не знае: ни ангелите на небото, ниту Синот, туку само Таткото.'
33. 'Бдејте и молете се! Зашто не знаете, кога ќе биде времето!

34. Тоа е како човек, кој тргнувајќи на пат го остава својот дом и ги овластува своите слуги, секому определувајќи му ја работата, а на вратарот му наредува да бдее.
35. И така, бдејте, зашто не знаете кога ќе дојде господарот на домот: приквечер или на полноќ, кога петлите ќе пропеат или наутро,
36. за да не дојде одненадеж и да ве најде заспани.
37. А она што ви го зборувам вам, на сите им го зборувам: бдејте!'

Глава 14

1. Два дни пред Пасхата и празникот на Бесквасните лебови, првосвештениците и закониците
размислуваа како да Го фатат на измама и да Го убијат,
2. арно ама зборуваа: 'Не на празникот, за да не се побуни народот.'
3. И кога беше во Бетанија, во куќата на Симон лепрозниот, додека беше прилегнат крај
трпезата, дојде една жена, која носеше сад од алабастер, со чисто скапоцено нардово миро.
Таа го скрши садот од алабастер и го излеа мирото врз Неговата глава.
4. А некои негодуваа, говорејќи меѓу себе: 'Зошто мирото вака се растура!
5. Мирото можеше да биде продадено за повеќе од триста денарии и да им се дадат на
сиромасите!' Така негодуваа против неа.
6. Но Исус рече: 'Оставете ја! Зошто и додевате? Таа Ми направи добро дело.
7. Бидејќи сиромасите ги имате секогаш со вас, можете да им правите добро кога ќе посакате,
а Мене Ме немате секогаш.
8. Тоа што можеше, таа го стори: Го помаза Моето тело за погребување.
9. И вистина ви велам, каде и да биде проповедано Евангелието, по целиот свет, ќе се
раскажува што направи таа, во нејзин спомен.'
10. А Јуда Искариот, еден од дванаесеттемина, отиде кај првосвештениците, за да им Го
предаде.
11. Тие, кога го чуја тоа, се зарадуваа и му ветија да му дадат сребреници. А тој бараше згодна
можност за да Го предаде.
12. А во првиот ден на Бесквасните лебови, кога колеа за Пасхата, Неговите ученици Му рекоа:
'Кај сакаш да појдеме и да приготвиме за да ја јадеш Пасхата?'
13. Тој испрати двајца од Своите ученици и им рече: 'Појдете во градот и ќе ве сретне човек кој
носи вода во стомна. Одете по него,
14. и каде што ќе влезе речете му на домаќинот: 'Учителот праша: 'Кај е Мојата гостинска
соба, каде што ќе ја јадам Пасхата со Моите ученици?''
15. И тој ќе ви покаже суредена голема горна соба. Пригответе ни таму!'
16. Неговите ученици излегоа и отидоа во градот, и најдоа како што Тој им беше рекол, па ја
приготвија Пасхата.
17. А кога се свечери, дојде со дванаесеттемина.
18. И кога беа испоседнати крај трпезата и јадеа, Исус им рече: 'Вистина ви велам, еден од вас,
којшто јаде со Мене, ќе Ме предаде.'
19. Тие се нажалија и почнаа да Му велат еден по еден: 'Да не сум јас?'
20. А Тој им рече: 'Еден е од дванаесеттемина, кој макна од Мојава чинија.
21. Синот Човеков си оди, како што е напишано за Него, но тешко му на тој човек, преку кого
Синот Човеков ќе биде предаден. За тој човек подобро ќе беше да не се родил.'
22. И кога јадеа, зеде леб, благослови, го раскрши, им го раздаде и рече: 'Земете, ова е Моето
тело.'
23. Ја зеде чашата, заблагодари и им ја даде, и сите пиеја од неа.
24. И им рече: 'Ова е Мојата крв на Заветот, која е пролеана за мнозина.
25. Вистина ви велам: не ќе пијам веќе од лозовиот плод сè до оној ден кога ќе пијам од новиот
во Божјото царство.'
26. И откако испеаја песна, излегоа на Маслиновата Гора.
27. Исус им рече: 'Сите ќе се соблазните, зашто е напишано: - Ќе го удрам пастирот, и овците
ќе се разбегаат.'
28. А по Моето воскресение, пред вас ќе отидам во Галилеја.'
29. Петар Му рече: 'И ако сите се соблазнат, јас не ќе го сторам тоа.'
30. Исус му рече: 'Вистина ти велам дека денес, ноќеска, пред петелот да запее двапати, ти
трипати ќе се откажеш од Мене.'
31. Но тој уште поупорно зборуваше: 'Ако треба и да умрам со Тебе, нема да се откажам од

Тебе!' И сите го велеа истото.
32. Потоа дојдоа до местото, по име Гетсеманија, па им рече на Своите ученици: 'Седете тука, додека се молам!'
33. И ги зеде со Себе: Петар, Јаков и Јован, и Го обзеде тага и голема мака.
34. И им рече: 'Мојата душа е нажалена до смрт; останете тука и бдејте!'
35. И отиде малку подалеку, падна ничкум наземи и се молеше, ако е можно, да Го одмине тој час,
36. и велеше: 'Аба, Татко! За Тебе сѐ е можно. Тргни ја од Мене оваа чаша! Но, не како Јас што сакам, туку како што сакаш Ти!'
37. И дојде и ги најде како спијат, и му рече на Петар: 'Симоне, спиеш ли? Не можете ли да бдеете еден час?
38. Бдејте и молете се, за да не паднете во искушение! Духот е бодар, но телото е немоќно.'
39. И пак отиде, и се помоли, изговарајќи ги истите зборови.
40. Кога се врати, пак ги најде како спијат, зашто очите им беа натежнале, и не знаеја што да му одговорат.
41. Дојде и по третпат и им рече: 'Сѐ уште спиете и почивате?' Доста е, дојде часот! Еве, Го предаваат Синот Човеков во раце на грешници.
42. Станете, да одиме! Еве, наближува Мојот предавник!'
43. И веднаш, додека Тој уште зборуваше, дојде Јуда - еден од дванаесеттемина, и со него мнозина, со мечови и со стапови, пратени од првосвештениците, закониците и старешините.
44. А Неговиот предавник им беше дал знак, велејќи: 'Оној што ќе Го целивам, Тој е, Него фатете Го и одведете Го под стража.'
45. И кога дојде, веднаш Му пристапи и рече: 'Раби!' И забележливо Го целива.
46. А тие ставија раце на Него и Го фатија.
47. Еден од оние што стоеја таму го извлече мечот и го удри слугата на првосвештеникот, отсекувајќи му го увото.
48. Исус пак одговори, велејќи им: 'Излеговте како пред разбојник, со мечови и стапови, за да Ме фатите!
49. Секој ден бев со вас во Храмот и поучував, а не Ме фативте. Но, ова се случи за да се исполнат Писмата!'
50. Тогаш, сите Го оставија и се разбегаа.
51. А по Него одеше еден млад човек, наметнат со платно на голото тело, и го зграпчија;
52. но тој го остави платното и избега гол од нив.
53. Го одведоа Исус кај врховниот свештеник, и се собраа сите првосвештеници, старешини и законици.
54. А Петар Го следеше оддалеку, сѐ до влегувањето во дворот на врховниот свештеник. Тука седна со слугите и се грееше крај огнот.
55. А првосвештениците и целиот совет бараа сведоштво против Исус, за да Го убијат, но не најдоа.
56. Зашто мнозина сведочеа лажно против Него, но сведоштвата не им се совпаѓаа.
57. Некои станаа и сведочеа лажно против Него, велејќи:
58. 'Ние Го чувме како зборува: 'Ќе го урнам овој ракотворен Храм и за три дни ќе изградам друг - неракотворен.''
59. Но, ни така нивните сведоштва не се совпаѓаа.
60. Тогаш врховниот свештеник стана на средина и Го праша Исус, велејќи Му: 'Ништо ли нема да одговориш? Што сведочат овие против Тебе?'
61. А Тој молчеше и ништо не одговори. Врховниот свештеник повторно Го праша: 'Ти ли си Христос, Синот на Благословениот?'
62. А Исус рече: 'Јас Сум; и ќе Го видите Синот Човеков како седи оддесно на Силата и како доаѓа со небесните облаци.'
63. Тогаш врховниот свештеник ја раскина својата облека и рече: 'Зошто ни се потребни други

сведоци?
64. Ја чувте хулата! Како ви изгледа?' А сите тие пресудија дека заслужува смрт.
65. И некои почнаа да Го плукаат и да Му го покриваат лицето, да Го удираат со тупаници и да Му велат: 'Прореچи!' А присутните Го удираа по образите.
66. Кога Петар беше долу, во дворот, дојде една од слугинките на врховниот свештеник;
67. и кога го виде Петар, како се грее, го погледна и му рече: 'И ти беше со Исус Назареќанецот!'
68. Но тој одрече, велејќи: 'Ниту знам, ниту разбирам што зборуваш!' И излезе надвор во предворјето.
69. А слугинката го виде и почна пак да им зборува на оние, кои стоеја таму: 'И овој е еден од нив!'
70. А тој повторно одрече. Подоцна, оние, кои стоеја таму, пак му рекоа на Петар: 'Навистина си еден од нив, зашто и ти си Галилеец.'
71. А тој почна да проколнува и се заколна: 'Не Го познавам човекот за Кого зборувате.'
72. И веднаш петелот запеа вторпат. А Петар се сети на зборовите што му ги рече Исус: 'Пред петелот да запее двапати, трипати ќе се откажеш од Мене.' И кога помисли на тоа, заплака.

Глава 15

1. А во мугрите, првосвештениците, старешините, законици те и целиот Совет Го врзаа Исуса, Го одведоа и му Го предадоа на Пилат.
2. А Пилат Го праша: 'Ти ли си Царот на Евреите?' А Тој му одговори, велејќи: 'Така е како што велиш!'
3. Првосвештениците Го обвинуваа за многу работи.
4. Пилат пак Го праша: 'Ништо ли не одговараш? Гледај за колку многу работи те обвинуваат!'
5. Но Исус веќе ништо не одговараше, па Пилат се чудеше.
6. А на секој празник тој им ослободуваше по еден затвореник, кого ќе го побараа.
7. Таму беше и еден по име Бараба, кој беше окован заедно со други бунтовници, кои во еден бунт беа извршиле убиство.
8. И народот извика гласно и почна да го моли да го направи она што секогаш го правел.
9. А Пилат им одговори, велејќи: 'Сакате ли да ви Го ослободам Царот на Евреите?',
10. зашто знаеше дека првосвештениците Го предадоа од завист.
11. Но првосвештениците го наговорија народот дека е подобро да им го пушти Бараба.
12. Пилат, пак, одговори, велејќи: 'Тогаш, што да направам со Оној, Кого Го викате Цар на Евреите?'
13. А тие повторно извикуваа: 'Распни Го!'
14. Пилат пак им рече: 'Какво зло сторил?' Но тие уште погромко извикуваа: 'Распни Го!'
15. Тогаш Пилат, сакајќи да ја задоволи толпата, го ослободи Бараба, а Исус, откако Го камшикуваа, Го предаде да биде распнат.
16. Војниците Го одведоа во дворот, односно во преторијата, и ја собраа целата чета.
17. Му облекоа пурпурна наметка, сплетоа и Му ставија венец од трње,
18. и почнаа да Го поздравуваат: 'Биди поздравен, Цару еврејски!'
19. И Го удираа со трска по главата, Го плукаа и паѓајќи на колена, Му метанисуваа.
20. А кога Му се изнаругаа, ја соблекоа од Него пурпурната наметка и Му ја облекоа Неговата облека, и Го поведоа да Го распнат.
21. И натераа еден минувач, Симон од Киринеја, татко на Александар и Руф, кој се враќаше од полето, да го носи Неговиот крст.
22. И Го доведоа на местото Голгота, што значи Место на черепи.
23. И Му даваа вино со смирна, но Тој не прими.
24. Потоа Го распнаа и ја поделија Неговата наметка, фрлајќи жрепка за неа - кој што да земе.
25. А беше третиот час, кога Го распнаа.
26. И имаше напишано натпис, што ја означуваше Неговата вина: 'ЦАРОТ НА ЕВРЕИТЕ.'
27. И со Него распнаа двајца разбојници; еден оддесно, а еден одлево.
28. И се исполни Писмото кое вели: 'И Го вброија меѓу злосторници.'
29. А минувачите Му се ругаа, вртејќи со своите глави, велејќи: 'Еј! Ти што го уриваш Храмот и го изградуваш за три дни,
30. спаси Се Себеси и слези од крстот!'
31. Слично се подбиваа првосвештениците, заедно со законици те, говорејќи еден на друг: 'Другите ги спаси, а Себеси не може да се спаси!
32. Христос - Царот на Израел! Нека слезе сега од крстот, та да видиме и да поверуваме!' Го навредуваа и тие што беа распнати со Него.
33. А во шестиот час, настана темнина по сета земја, сè до деветтиот час.
34. А во деветтиот час, Исус извика со силен глас: 'Елои, Елои, Лама Сабахтани!'- што значи: 'Боже мој, Боже мој, зошто Ме напушти!'
35. Штом го чуја тоа, некои од тие што стоеја таму, рекоа: 'Ете, го вика Илија!'
36. И еден отрча и натопи сунѓер во оцет, го надена на трска и Му даде да пие, велејќи: 'Оставете Го да видиме дали ќе дојде Илија да Го симне!'
37. Исус извика со силен глас и издивна.

38. А завесата во светилиштето се расцепи надве, озгора додолу.
39. А кога виде стотникот, кој стоеше спроти Него дека издивна, рече: 'Навистина, Овој човек беше Божјиот Син!'
40. А оддалеку гледаа и жени, меѓу кои беше Марија од Магдала, Марија мајката на Јаков малиот и на Јосиј, и Салома,
41. кои одеа по Него кога беше во Галилеја, Го следеа и Му служеа, и многу други, кои дојдоа со Него во Ерусалим.
42. А кога веќе се свечери, бидејќи беше време за подготовка, односно ден спроти Сабат,
43. дојде Јосиф од Ариматеја, почитуван советник, кој и самиот го чекаше Божјото царство, се осмели и влезе кај Пилат и го побара Исусовото тело.
44. А Пилат се зачуди дека веќе починал, па го повика стотникот и го праша дали е одамна починат.
45. А штом дозна од стотникот, му го даде мртвото тело на Јосиф.
46. Тој купи ленено платно, Го симна, Го завитка во платното и Го положи в гроб, што беше издлабен во карпа, и навали камен пред влезот на гробот.
47. А Марија од Магдала и Марија мајката на Јосиј видоа каде Го положија.

Глава 16

1. Кога помина саботниот ден, Марија од Магдала, Марија мајката на Јаков и Салома, купија мириси за да отидат и да Му извршат помазание.
2. А во мугрите, во првиот ден на седмицата, дојдоа до гробот на изгрејсонце,
3. и си зборуваа меѓу себе: 'Кој ќе ни го помести каменот од влезот на гробот?'
4. А кога погледнаа, видоа дека каменот е поместен, иако беше многу голем.
5. А штом влегоа во гробот, видоа млад човек во долга бела облека, како седи оддесно и се вчудовидоа.
6. Но тој им рече: 'Не чудете се! Вие Го барате Исус Назареќанецот, Кој беше распнат. Тој воскресна! Не е тука! Еве го местото каде што Го положија.
7. Туку, одете и кажете им на Неговите ученици, и на Петар, 'Тој оди пред вас во Галилеја. Таму ќе Го видите, како што ви рече.''
8. А тие излегоа и побегнаа од гробот, зашто ги опфати страв и трепет. И никому ништо не рекоа, бидејќи се плашеа.
9. А кога воскресна, рано во првиот ден на седмицата, и се јави прво на Марија од Магдала, од која беше истерал седум демони.
10. Таа отиде и им јави на оние што беа со Него, кои тагуваа и плачеа.
11. А тие, кога чуја дека е жив и дека таа Го видела, не поверуваа.
12. Потоа им се јави во друг лик, на двајца од нив, по патот, кога одеа надвор од градот.
13. И тие отидоа и им јавија на другите, но и ним не им поверуваа.
14. Најпосле им се јави и на единаесеттемина, додека седеа крај трпезата, и ги прекори заради нивното неверие и закоравеноста на срцата, бидејќи не им поверуваа на оние што Го видоа воскреснат.
15. И им рече: 'Одете по целиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание!
16. Кој ќе поверува и биде крстен, ќе биде спасен, а кој не ќе поверува, ќе биде осуден.
17. А овие чудотворни знаци ќе ги придружуваат оние што поверувале: во Мое име ќе истеруваат демони, ќе зборуваат нови јазици,
18. ќе фаќаат змии, дури и ако испијат нешто смртоносно - нема да им наштети; ќе полагаат раце на болни, а тие ќе оздравуваат.'
19. А Господ Исус, откако им го рече тоа, се вознесе на небото и седна десно од Бог.
20. А тие излегоа и навестуваа насекаде; и Господ го помагаше и го потврдуваше нивното слово со чудотворни знаци, кои го следеа.

Лука

Глава 1

1. Откако мнозина почнаа да ги опишуваат настаните што се случија меѓу нас,
2. како што ни ги предадоа оние кои од почетокот беа очевидци и служители на Словото,
3. ми се виде добро, откако испитав сè подробно од почетокот, да ти ги опишам по ред, честити Теофиле,
4. за да ја разбереш веродостојноста на она во коешто си бил поучуван.
5. Во деновите на јудејскиот цар Ирод, беше еден свештеник, по име Захарија, од Абиевиот род, а тој имаше жена од Ароновите ќерки, по име Елисавета.
6. Двајцата беа праведни пред Бог, следејќи ги непорочно сите Господови заповеди и повелби.
7. Немаа дете, зашто Елисавета беше неплодна, а двајцата беа во години.
8. Еднаш, кога тој ја вршеше свештеничката служба пред Бог, според редоследот на неговиот чин,
9. според свештеничкиот обичај, му се падна со жрепка да влезе во Господовиот Храм и да покади.
10. За време на кадењето сиот насобран народ се молеше надвор.
11. Тогаш му се јави Господов ангел, стоејќи оддесно на кадилниот жртвеник.
12. Кога го виде, Захарија се збуни и страв го обзеде.
13. Но, ангелот му рече: 'Не плаши се, Захарија! Молитвата ќе ти се исполни! Жена ти, Елисавета, ќе роди син, кому треба да му го дадеш името Јован.
14. Ќе се радуваш и ќе се веселиш, и мнозина ќе се зарадуваат на неговото раѓање,
15. зашто ќе биде велик пред Господ - не ќе пие ни вино, ниту опојни пијалаци. Ќе се исполни со Светиот Дух уште во утробата на својата мајка,
16. и многу израелови синови ќе обрати кон Господ, нивниот Бог.
17. Тој ќе врви пред Него во духот и силата на Илија, за да ги обрати срцата на татковците спрема децата, а непокорните спрема мудроста на праведниците, и да подготви луѓе кои се спремни за Господ.'
18. А Захарија му рече на ангелот: 'По што ќе го познаам тоа? Јас сум стар, а и жена ми е во поодминати години!'
19. Ангелот одговори, велејќи: 'Јас сум Гаврил, кој стои пред Бог, а испратен сум да зборувам со тебе и да ти ја донесам оваа радосна вест.
20. Ете, ќе онемиш и не ќе можеш да зборуваш до денот кога ќе се збидне ова, затоа што не им поверува на моите зборови, што ќе се исполнат кога ќе дојде времето.'
21. А луѓето го чекаа Захарија и се чудеа зошто толку долго се задржа во Храмот.
22. Кога излезе, не можеше да им зборува и тие сфатија дека имал видение во Храмот. А тој им даваше знаци и остана нем.
23. И кога завршија деновите на неговата служба, се врати во својот дом.
24. А по тие дни, жена му Елисавета зачна та се криеше пет месеци, велејќи:
25. 'Ова го стори Господ во деновите кога погледна на мене, за да го отстрани мојот срам меѓу луѓето.'
26. А во шестиот месец, Бог го испрати ангелот Гаврил во галилејскиот град што се викаше Назарет,
27. кај девица, свршена за маж по име Јосиф, од Давидовиот дом. Името пак на девицата беше Марија.
28. И кога ангелот дојде кај неа, и рече: 'Радувај се љубима! Господ е со тебе, благословена си меѓу жените!
29. Таа се уплаши од овие зборови и размислуваше каков поздрав може да биде тоа?
30. Тогаш ангелот и рече: 'Не плаши се Маријо, зашто најде милост кај Бог.
31. Ете, ќе зачнеш и ќе родиш Син, и ќе Му го дадеш името Исус.
32. Тој ќе биде велик и ќе се нарече Син на Севишниот. И Господ Бог ќе Му го даде престолот на Давид, Неговиот татко.

33. Тој ќе царува над Јакововиот дом довека, и Неговото царство не ќе има крај.'
34. А Марија му рече на ангелот: 'Како ќе биде тоа, кога не знам за маж?'
35. Ангелот одговори, велејќи и : 'Светиот Дух ќе дојде на тебе и силата на Севишниот ќе те осени; затоа Светото дете кое ќе биде родено - ќе се нарече Божји Син.
36. Види, твојата роднина Елисавета, и таа зачна син во својата старост. Таа која ја нарекуваат неплодна, веќе е во шестиот месец.
37. Зашто, за Бог, ништо не е невозможно.'
38. Марија му рече: 'Еве ја Господовата слугинка, нека ми биде како што рече!' И ангелот си отиде откај неа.
39. Во тие дни, Марија стана и бргу отиде во планинскиот крај, во Јудиниот град.
40. Влезе во куќата на Захарија и ја поздрави Елисавета.
41. И штом Елисавета го чу поздравот од Марија, бебето и заигра во утробата, а Елисавета се исполни со Светиот Дух.
42. Па извика гласно и рече: 'Благословена си ти меѓу жените! И благословен е плодот во твојата утроба!
43. Како тоа, мајката на мојот Господ да дојде кај мене?
44. Зашто, ете, кога гласот на твојот поздрав дојде до моите уши, плодот заигра од радост во мојата утроба.
45. Блажена е таа која поверува дека ќе се исполни она што Господ и го рекол.'
46. А Марија рече: 'Мојата душа Го велича Господ!
47. И мојот дух се зарадува во Бог, мојот Спасител,
48. зашто погледна на понизноста на Својата слугинка. И ете, отсега сите поколенија ќе ме сметаат за блажена,
49. зашто Силниот стори големи дела за мене. Неговото име е свето,
50. и Неговата милост од поколение до поколение, е за оние кои имаат страхопочит кон Него.
51. Со Својата рака направи моќни дела, ги распрсна оние со горделиви мисли во нивните срца,
52. ги симна владетелите од престолите, а ги воздигна понизните;
53. гладните ги насити со добра, а богатите ги остави со празни раце;
54. му помогна на Израел, Својот слуга, како спомен на Неговата милост,
55. како што им зборуваше и на нашите татковци - на Авраам и неговото семе, довека.'
56. А Марија остана со неа околу три месеци и се врати во својот дом.
57. На Елисавета и дојде време за раѓање, и роди син.
58. И кога нејзините соседи и роднини чуја дека Господ и укажа голема милост, се радуваа со неа.
59. А на осмиот ден дојдоа да го обрежат детето, и сакаа да го наречат Захарија, по името на татко му.
60. Но неговата мајка рече: 'Не, туку ќе биде наречен Јован!'
61. А тие и рекоа: 'Нема никој во твојот род кој се вика така.'
62. И со знаци го прашаа татко му, како сака да се вика неговото дете.
63. А тој побара штичка и напиша: 'Името му е Јован.' И сите се зачудија.
64. А устата и јазикот веднаш му се отворија и тој прозборе па Го благословуваше Бог.
65. Притоа страв ги обзеде сите нивни соседи, а за сето тоа се прикажуваше по целиот планински крај на Јудеја,
66. и сите што слушнаа, го примија тоа во своите срца, велејќи: 'Што ќе биде од ова дете?' Зашто Господовата рака беше со него.
67. А татко му, Захарија, се исполни со Светиот Дух и пророкуваше, велејќи:
68. 'Благословен е Господ, Богот на Израел, зашто го посети и го откупи Својот народ;
69. и ни издигна рог на спасение во домот на Својот слуга Давид;
70. како што вети од дамнина: преку устата на Своите свети пророци:
71. 'Спасение од нашите непријатели и од рацете на сите кои нѐ мразат',

72. за да ја projави милоста над нашите татковци и да се сети на Својот свет завет,
73. за заклетвата со која му се заколна на нашиот татко Авраам, дека ќе ни даде
74. да Му служиме без страв, избавени од рацете на непријателите,
75. во светост и праведност пред Него, во сите наши дни.
76. А ти, чедо, ќе бидеш наречено пророк на Севишниот, зашто ќе одиш пред Господ, за да ги подготвиш Неговите патишта,
77. за да му дадеш на Неговиот народ да познае спасение преку проштавањето на нивните гревови,
78. заради милосрдноста на нашиот Бог, со која ќе нѐ посети Зората од висините,
79. за да ги осветли оние кои седат во темнината и во смртната сенка, и да ги упати нашите нозе по патот на мирот.'
80. А детето растеше и закрепнуваше со духот, и живееше во пустините до денот кога јавно истапи пред Израел.

Глава 2

1. Во она време цезарот Август издаде заповед за попис на сите жители.
2. Тоа беше прв попис за време на управувањето на Квириниј во Сирија.
3. И сите одеа да бидат запишани, секој во својот град.
4. Така, и Јосиф отиде од Галилеја, од градот Назарет, горе во Јудеја, во Давидовиот град, наречен Витлеем, затоа што беше од домот и родот на Давид,
5. да се запише со Марија, својата свршеничка, која беше бремена.
6. А токму кога беа таму, и дојде времето за раѓање,
7. и го роди својот Син, првенец, па го пови и Го легна в јасли, зашто за нив немаше место во анот.
8. А во тој ист крај некои пастири ноќеваа на отворено, чувајќи го своето стадо.
9. И одеднаш Господов ангел застана пред нив и Господовата слава ги осветли, па многу се исплашија.
10. Ангелот, пак, им рече: 'Не бојте се, зашто еве, ви носам добра вест, голема радост, која ќе биде за сите народи:
11. зашто денес, во Давидовиот град, ви се роди Спасител Кој е Христос Господ.
12. И ова ќе ви биде знак: ќе најдете Бебе повиено, како лежи в јасли!'
13. И одеднаш со ангелот се појави многубројно небесно воинство кое Го славеше Бог, велејќи:
14. 'Слава на Бога во височините и на земјата мир меѓу луѓето кои се по Неговата волја!'
15. А кога ангелите си отидоа од кај нив на небото, пастирите си зборуваа еден на друг: 'Да појдеме до Витлеем и да го видиме тоа што се случило таму, за кое ни соопшти Господ!'
16. И на брзаница дојдоа и ги најдоа Марија и Јосиф, и Бебето како лежи во јасли.
17. А штом ги видоа, кажаа сѐ што им беше речено за Детето.
18. И сите што слушнаа, се восхитуваа на тоа што им го рекоа пастирите.
19. А Марија ги запамети сите тие зборови и размислуваше за нив во своето срце.
20. Пастирите се вратија, славејќи и фалејќи го Бог, за сѐ што чуја и видоа, токму онака како што им беше речено.
21. И кога навршија осум дена, за Неговото обрежување, Му го дадоа името Исус, како што Го нарече ангелот, пред Неговото зачнување.
22. И кога се навршија деновите на нејзиното исчистување, според Мојсеевиот Закон, Го донесоа во Ерусалим за да Го принесат пред Господ,
23. како што е напишано во Господовиот Закон: 'Секое прворoccodeno машко, да Му се посвети на Господ!',
24. и да се принесе жртва, како што е речено во Господовиот Закон - две гугутки или два гулаба.
25. И ете, во Ерусалим живееше човек по име Симеон, и тоа човек праведен и побожен, кој ја чекаше израеловата утеха, а Светиот Дух беше над него.
26. Нему, преку Светиот Дух, му беше кажано дека нема да види смрт сѐ додека не Го види Господовиот Помазаник.
27. И, воден од Духот, дојде во Храмот. И кога родителите Го внесоа детето Исус, за да го извршат врз Него обичајот на Законот,
28. Го зеде во своите раце, Го благослови Бога и рече:
29. 'Сега, Господару, го отпушташ Својот слуга, во мир, според Твојот збор,
30. зашто моите очи го видоа Твоето спасение,
31. кое го подготви пред лицето на сите луѓе,
32. светлина за откровение на народите и слава на Твојот народ, Израел.'
33. А Јосиф и мајка Му се чудеа на она што го зборуваше за Него.
34. Симеон ги благослови, и и рече на мајка Му Марија: 'Еве! Овој е определен да собори и да подигне мнозина во Израел и за знак на кој ќе му се противат,
35. а Тебе самата меч ќе ти ја прободе душата, за да се откријат мислите на многу срца.'

36. Таму беше и пророчицата Ана, ќерката на Вануел, од Ашеровото племе; таа беше во многу напредната возраст; во бракот беше проживеала со мажа си седум години,
37. а како вдовица до осумдесет и четвртата година, не го напушташе Храмот, служејќи со постови и молитви дење и ноќе.
38. И во истиот час се појави таа, благодарејќи Му на Бога и им зборуваше за детето на сите што го очекуваа избавувањето на Ерусалим.
39. И кога извршија сè според Господовиот Закон, се вратија во Галилеја, во својот град Назарет.
40. А детето растеше и закрепнуваше, напредувајќи во мудрост, и Божјата благодат беше врз Него.
41. Секоја година Неговите родители одеа во Ерусалим на празникот Пасха.
42. Кога имаше дванаесет години, отидоа според обичајот во Ерусалим, на празникот.
43. И откако таму ги поминаа деновите, на враќање дома, момчето Исус остана во Ерусалим, а Неговите родители не знаеја за тоа,
44. туку, мислејќи дека е меѓу сопатниците, изминаа пат од еден ден и почнаа да Го бараат меѓу роднините и познатите.
45. И кога не Го најдоа, се вратија да Го бараат во Ерусалим.
46. И по три дни Го најдоа во Храмот како седи меѓу учителите, слушајќи ги и прашувајќи ги.
47. А сите што Го слушаа им се восхитуваа на Неговиот ум и на одговорите.
48. Кога Го видоа, се зачудија, а мајка Му Му рече: 'Чедо, зошто ни направи така? Еве! Татко Ти и јас се намачивме барајќи Те.'
49. Тој им рече: 'Зошто Ме баравте? Не знаете ли дека Јас треба да бидам во она што е од Татко Ми?'
50. Ама тие не ги разбраа Неговите зборови.
51. И слезе со нив та дојде во Назарет, и им беше послушен. Неговата мајка ги негуваше сите тие зборови во своето срце.
52. А Исус напредуваше во мудроста, во растењето и во благонаклоноста пред Бога и пред луѓето.

Глава 3

1. Во петнаесеттата година од владеењето на цезарот Тибериј, кога Понтиј Пилат беше управител на Јудеја, и Ирод тетрарх на Галилеја, а неговиот брат Вилип тетрарх на Итуреја и Трахонитида, а Лисаниј - тетрарх на Абилена,
2. кога Ана и Кајафа беа врховни свештеници, Божјиот збор дојде во пустината до Јован, синот на Захарија.
3. И тој одеше по целата област околу Јордан и проповедаше покајничко крштавање за проштавање на гревовите,
4. како што е напишано во книгата со зборовите на пророкот Исаија: 'Глас на оној кој вика во пустината: 'Подгответе го патот за Господ, исправете ги Неговите врвици!
5. Нека се исполни секоја долина, и секоја гора и ритче нека се снижат; и што е кривулесто нека се исправи, а нерамните патишта нека се израмнат!
6. И секој еден ќе го види Божјото Спасение!'
7. На народот, пак, кој доаѓаше да се крсти, му велеше: 'Змиска породо! Кој ве предупреди да бегате од гневот што иде?
8. Затоа, донесете плодови достојни за покајание и не зборувајте сега во себеси: 'Го имаме Авраам за татко!' Зашто ви велам дека Бог може и од овие камења да му издигне деца на Авраам.
9. А и секирата веќе лежи при коренот на дрвјата. Затоа, секое дрво што не дава добар плод се сече и се фрла в оган.'
10. А народот Го прашуваше, велејќи: 'Тогаш, што да правиме?'
11. А тој им одговараше и велеше: 'Кој има две туники, нека ги сподели со оној кој нема, и кој има храна нека го прави истото!'
12. Дојдоа и даночниците да ги крсти и му рекоа: 'Учителе, што да правиме ние?'
13. Тој им рече: 'Не земајте ништо повеќе од она што ви е наредено!'
14. Го прашаа и војниците: 'Што да правиме ние?' И им рече: 'Не изнудувајте пари од никого, не обвинувајте лажно, и бидете задоволни со својата заработка!'
15. А бидејќи луѓето беа во очекување и сите размислуваа во своите срца за Јован, да не е тој Христос,
16. Јован им одговори на сите: 'Јас ве крштавам со вода, но иде посилен од мене, Кому јас не сум достоен да Му ги одврзам ремените на Неговите сандали. Тој ќе ве крсти со Светиот Дух и оган.
17. Во Неговата рака е лопатата, за да го исчисти Своето гумно и за да ја собере пченицата во Својот амбар, а плевата ќе ја изгори со неизгаслив оган.'
18. И со многу други поуки му го проповедаше Евангелието на народот.
19. А тетрархот Ирод, кого тој го прекори заради Иродијада, жената на брата му, и за сите зли дела што ги беше направил Ирод,
20. кон сите нив го додаде уште ова: го затвори Јована в зандана.
21. Кога се крсти сиот народ, се крсти и Исус и додека се молеше - небото се отвори,
22. и Светиот Дух слезе на Него, во телесен облик, како гулаб, и се чу глас од небото: 'Ти си Мојот возљубен Син, Кој е по Мојата волја.'
23. А Самиот Исус имаше триесетина години кога почна да проповеда и беше, како што мислеа, син на Јосиф од Или,
24. син на Матат од Леви, син на Мелхи од Јанај, син на Јосиф од
25. Мататиј, син на Амос од Наум, син на Хесли од Нагај,
26. син на Маат од Мататиј, син на Семеин од Јосиех, син на Јода од
27. Јоанан, син на Реза од Зоробабел, син на Салатил од Нери,
28. син на Мелхи од Ади, син на Косам од Елмодам, син на Ир од
29. Јошуа, син на Елиезер од Јорим, син на Матат од Леви,
30. син на Симеон од Јуда, син на Јосиф од Јонан, син на Елијаким од

31. Мелеа, син на Мена од Мататиј, син на Натан од Давид,
32. син на Јесеј од Обед, син на Бооз од Салмон, син на Насон од
33. Аминадаб, син на Админ од Арни, син на Хесром од Варес, син на Јуда од
34. Јаков, син на Исак од Авраам, син на Тара од Нахор,
35. син на Серух од Рага, син на Валек од Ебер, син на Сала од
36. Каинам, син на Арфаксад од Сем, син на Ное од Ламех,
37. син на Матусал од Енох, син на Јаред од Малелел, син на Каинам од
38. Енос, син на Сет од Адам, Божји.

Глава 4

1. А Исус, исполнет со Светиот Дух, се врати од Јордан,
2. и Духот Го водеше во пустината четириесет дена, каде што беше искушуван од ѓаволот. Тие дни ништо не јадеше, а кога поминаа, огладне.
3. Тогаш ѓаволот Му рече: 'Ако си Божји Син, кажи му на овој камен да стане леб.'
4. А Исус му одговори: 'Напишано е дека човекот не ќе живее само од леб.'
5. И го одведе на високо и Му ги покажа, во еден миг, сите царства на светот
6. и ѓаволот Му рече: 'Ќе ти ја дадам сета власт и сета нивна слава, зашто мене ми е предадена и јас ја давам кому што сакам.
7. Затоа, ако ми се поклониш, сѐ ќе биде Твое.'
8. А Исус одговори и му рече: 'Пишано е: 'Поклонувај Му се на Господ твојот Бог, и само Нему служи Му!''
9. Потоа Го одведе во Ерусалим, Го постави на врвот на Храмот и Му рече: 'Ако си Божји Син, фрли се оттука долу,
10. зашто е напишано: 'Ќе им заповеда на Своите ангели, да Те чуваат
11. и ќе Те носат на раце, за да не си ја сопнеш ногата на камен.''
12. Исус одговори и му рече: 'Кажано е: 'Не искушувај Го Господ, Својот Бог.''
13. И откако ѓаволот заврши со сите искушенија, отстапи од Него за извесно време.
14. Исус се врати во силата на Духот во Галилеја, и гласот за Него се разнесе по целата околина.
15. А Тој поучуваше по нивните синагоги и сите Го прославуваа.
16. Тој дојде во Назарет, каде што беше пораснал. И според Својот обичај влезе во саботен ден во синагогата, и стана да чита.
17. Му го подадоа свитокот на пророкот Исаија, го одвитка и го најде местото каде што беше напишано:
18. 'Духот на Господ е врз Мене, зашто Ме помаза и Ме прати да им донесам радосна вест на бедните; да им јавам ослободување на заробените,прогледување на слепите,пуштање на слобода на напатените
19. и да ја навестам благопријатната Господова година.'
20. Го смота свитокот, му го врати на служителот и седна, а очите на сите во синагогата беа вперени кон Него.
21. И почна да им зборува: 'Денес се исполни ова писмо што го чувте со вашите уши.'
22. И сите говореа добро за Него и им се восхитуваа на благодатните зборови што излегуваа од Неговата уста; и велеа: 'Не е ли Овој синот на Јосиф?'
23. И им рече: 'Бездруго, ќе ми ја кажете поговорката: 'Лекару, исцели се сам!' Направи и тука, во својот роден крај, сѐ што чувме дека си направил во Капернаум.'
24. Тогаш им рече: 'Вистина ви велам дека ниеден пророк не е добредојден во својот роден крај.
25. Вистина ви велам, имаше многу вдовици во Израел, во времето на Илија, кога небото беше затворено три години и шест месеци и настана голем глад по целата земја,
26. и кај ниедна од нив не беше пратен Илија, туку само кај жената, вдовица, во Сидонска Сарепта.
27. Исто така, имаше многу лепрозни во Израел во времето на пророкот Елисеј, но ниеден од нив не беше исчистен, освен Сириецот Нааман.'
28. А кога го чуја тоа, сите во синагогата се исполнија со гнев
29. и станаа, Го истераа од градот, и Го одведоа до работ на стрмнината на која беше изграден нивниот град, за да Го фрлат долу.
30. Но Тој се мушна меѓу нив и си отиде.
31. И слезе во Капернаум, град во Галилеја, и ги поучуваше во сабота,
32. а тие му се восхитуваа на Неговото учење, зашто Неговата порака беше со авторитет.

33. А во синагогата имаше човек опседнат од демон, нечист дух, кој извика со силен глас:
34. 'А што имаме ние со Тебе, Исусе Назареќанецу? Дали дојде да нѐ сотреш? Знам, Кој си Ти: Светиот Божји.'
35. А Исус го прекори, велејќи: 'Молкни и излези од него!' Тогаш демонот го кутна човекот насреде и излезе од него, без да му напакости.
36. А сите се вчудовидоа и си велеа еден на друг: 'Какви се овие зборови? Со власт и со сила им заповеда на нечистите духови и тие излегуваат!'
37. И се разнесе глас за Него по сите околни места.
38. И стана од синагогата и влезе во Симоновиот дом. А Симоновата тешта страдаше од силна треска и Го помолија за неа.
39. И се наведна над неа, ја прекори треската, и таа ја напушти, па стана веднаш и им служеше.
40. А на зајдисонце сите што имаа болни од разни болести ги доведоа кај Него. Тој ги ставаше рацете врз секој од нив и ги исцелуваше.
41. Притоа демони излегуваа од мнозина и викаа, велејќи: 'Ти си Божјиот Син.' А Тој ги прекори и не им дозволуваше да зборуваат, зашто знаеја дека Тој е Христос.
42. А кога се раздени, Тој излезе и отиде на пусто место, а народот Го бараше и дојде до Него, и сакаше да Го задржи за да не си отиде од нив.
43. А Тој им рече: 'И на другите градови треба да им го проповедам Евангелието за Божјото царство, зашто затоа сум испратен.'
44. И продолжи да проповеда по синагогите во Јудеја.

Глава 5

1. Еднаш, додека народот се туркаше околу Него за да го слуша Божјото Слово, а Тој стоеше крај Генисаретското Езеро,
2. крај брегот забележа два кораба. Рибарите беа излегле од нив и ги плавеа мрежите.
3. Тој влезе во еден од корабите, кој беше на Симон и го замоли да го оддалечи малку од копното. Потоа седна и го поучуваше народот од коработ.
4. А кога прекрати да зборува, му рече на Симон: 'Навлези кон подлабокото и фрлете ги мрежите за лов!'
5. Симон Му одговори, велејќи: 'Господаре, цела ноќ се трудевме и ништо не уловивме, но на Твој збор, ќе ги фрлиме мрежите.'
6. А кога го сторија тоа, уловија многу риби, тики почнаа да им се кинат мрежите.
7. И им дадоа знак на другарите во другиот кораб, за да дојдат и да им помогнат. А тие дојдоа и ги наполнија двата кораба, па почнаа да тонат.
8. Кога Симон Петар го виде тоа, падна пред Исусовите нозе и рече: 'Бегај од мене, Господи, зашто сум грешен човек!'
9. Се вчудовидоа тој и сите што беа со него, заради многуте риби што ги уловија,
10. а исто така и Забедеевите синови, Јован и Јаков, кои му беа другари на Симон. А Исус му рече на Симон: 'Не плаши се! Отсега ќе ловиш луѓе!'
11. И кога ги извлекоа корабите на суво, оставија сѐ и тргнаа по Него.
12. Кога беше во еден град, ете, човек, целиот лепрозен, штом Го виде Исуса, падна ничкум и Го преколнуваше, велејќи: 'Господи, ако сакаш, можеш да ме исчистиш.'
13. Тогаш Тој ја протегна раката, го допре и рече: 'Сакам, биди чист!' И веднаш лепрата го напушти.
14. И му заповеда никому да не му кажува, туку му рече: 'Оди, покажи му се на свештеникот и принеси жртва за твоето исчистување како што заповеда Мојсеј, ним за сведоштво!'
15. А гласот за Него, сѐ повеќе се разнесуваше и едночудо народ доаѓаше да Го слуша и да биде исцелен од нивните болести.
16. А Тој честопати се повлекуваше во пустината и се молеше.
17. И кога еден ден поучуваше, седеа фарисеите и закониците, кои беа дојдени од сите галилејски и јудејски села и од Ерусалим. А Господовата сила беше таму со Него за да исцелува.
18. И ете, луѓето донесоа на носила парализиран човек и се обидуваа да го внесат и да го положат пред Него.
19. А бидејќи не најдоа од каде да го внесат, заради толпата, се искачија на покривот и го спуштија низ отвор, сосе носила, насреде пред Исус.
20. Кога ја виде нивната вера, Тој рече: 'Човеку, гревовите ти се простени.'
21. Тогаш закониците и фарисеите почнаа да се расправаат, велејќи: 'Кој е Овој, што богохулствува ? Кој може да простува гревови освен единствениот Бог?'
22. А Исус, знаејќи ги нивните мисли, во одговор им рече: 'Зошто размислувате така во своите срца?
23. Што е полесно да се рече: 'Гревовите ти се простени' или 'Стани и оди'!
24. Но, за да знаете дека Синот Човеков има власт на земјата да простува гревови, му рече на парализираниот: 'Тебе ти велам, стани, дигни го носилото и оди си дома!'
25. И веднаш стана пред нив, го зеде она на кое лежеше, и си отиде дома славејќи Го Бог.
26. А тие сите се вчудовидоа, Го славеа Бог и исполнети со страв, зборуваа: 'Денес видовме чудесни нешта!'
27. Потоа излезе и го забележа даночникот по име Левиј, како седи на местото каде што се собира данок, и му рече: 'Оди по Мене!'
28. Тој остави сѐ, стана и тргна по Него.
29. И Левиј му приреди голема гозба во својот дом, имаше и многу даночници и други

прилегнати со нив крај трпезата.
30. А фарисеите и нивните законици негодуваа пред Неговите ученици, велејќи: 'Зошто јадете и пиете со даночници и грешници?'
31. Исус одговори и им рече: 'Здравите немаат потреба од лекар, туку болните.
32. Не дојдов да ги повикам праведните на покајание, туку грешниците.'
33. А тие тогаш Му рекоа: 'Јовановите ученици постат често и се молат, како и фарисејските, а Твоите јадат и пијат?'
34. Исус пак им рече: 'Можете ли да ги натерате сватовите да постат додека е младоженецот со нив?
35. Но ќе дојдат дни кога младоженецот ќе биде отмен од нив; во тие дни ќе постат.'
36. А им ја кажа и оваа споредба: 'Никој не кине парче од нова облека, за да ја закрпи старата. Зашто новата ја кине, а на старата не и прилега алтица од новата.
37. И никој не налева ново вино во стари мешини; инаку новото вино ќе ги скине мешините и ќе истече, а мешините ќе пропаднат.
38. Туку ново вино треба да се налева во нови мешини.
39. И никој, откако пиел старо вино, не сака ново, зашто вели: 'Старото е подобро.''

Глава 6

1. Еден саботен ден се случи да минува низ посевите, а Неговите ученици кинеа класје, ги триеја со рацете и јадеа.
2. А некои од фарисеите рекоа: 'Зошто го правите тоа што не е според законот да се прави во саботен ден?'
3. Исус одговори и им рече: 'Зар не сте читале што стори Давид кога огладне тој и оние кои беа со него,
4. како влезе во Божјиот дом, ги зеде посветените лебови и јадеше, кои никому не е дозволено да ги јаде освен свештениците, и им даде и на оние кои беа со него.
5. Потоа им рече: 'Синот Човеков е Господар на саботата.'
6. Во една друга сабота, влезе во синагогата и поучуваше, а таму имаше и еден човек чија десна рака беше исушена.
7. А закониците и фарисеите Го набљудуваа дали ќе исцелува во сабота, за да можат да Го обвинат.
8. Но, Тој ги знаеше нивните мисли и му рече на човекот со исушена рака: 'Стани и дојди напред!' Тој стана и се исправи.
9. А Исус им рече: 'Ве прашувам: што е дозволено да се прави во сабота, добро или зло? Да се спаси живот или да се погуби?'
10. И ги изгледа сите наоколу, па му рече: 'Протегни ја раката!' А тој стори така, и раката му оздраве.
11. А тие се исполнија со јарост и се договараа меѓу себе што би можеле да Му направат на Исус.
12. Во тие дни се искачи на гората, за да се моли и ја помина ноќта молејќи Му се на Бог.
13. А кога се раздени, ги повика Своите ученици и од нив избра дванаесетмина, кои ги нарече апостоли:
14. Симон, кого го нарече Петар, и брат му Андреј, Јаков и Јован, Вилип и Бартоломеј,
15. Матеј и Тома, Јаков Алфеев и Симон, наречен Зилот; Јуда Јаковов
16. и Јуда Искариот, кој стана предавник.
17. И кога слезе заедно со нив, застана на едно рамно место, и имаше многу Негови ученици и едночудо народ од цела Јудеја и од Ерусалим, од Тирското и Сидонското крајбрежје,
18. кои дојдоа да Го чујат и да бидат исцелени од нивните болести, а оздравуваа и оние кои беа измачувани од нечисти духови.
19. И целиот народ сакаше да се допре до Него, зашто од Него излегуваше сила и ги исцелуваше сите.
20. Тој ги поткрена очите кон Своите ученици и рече: 'Блажени сте вие бедните, зашто ваше е Божјото царство!
21. Блажени сте вие кои гладувате сега, зашто ќе се наситите! Блажени сте вие кои плачете сега, зашто ќе се смеете!
22. Блажени сте кога луѓето ќе ве мразат, кога ќе ве одбегнуваат, навредуваат и зборуваат лошо за вас,заради Синот Човеков!
23. Радувајте се во тој ден и ликувајте, зашто, ете, голема е вашата награда на небото. Бидејќи нивните татковци им го правеа истото на пророците.
24. Но, тешко вам, богати, зашто наполно ја примивте вашата утеха.
25. Тешко вам кои сте сити сега, зашто ќе гладувате. Тешко вам кои се смеете сега, зашто ќе жалите и ќе плачете.
26. Тешко вам кога сите луѓе ќе зборуваат добро за вас, зашто нивните татковци им правеа така на лажните пророци.
27. 'Но, вам, кои слушате, ви велам: Љубете ги своите непријатели, правете им добро на оние кои ве мразат.
28. Благословувајте ги оние кои ве колнат, молете се за оние кои ве навредуваат.

29. На оној кој ќе те плесне по едниот образ, заврти му го и другиот, и на тој што ти ја зема наметката, не задржувај му ја ни кошулата.
30. Дај му на секој кој бара од тебе. И не барај го назад своето од оној што земал од тебе.
31. И како што сакате да ви прават луѓето вам, така правете им и вие ним.
32. И ако ги љубите оние што ве љубат вас, во што ви е пофалбата? И грешниците ги љубат оние кои ги љубат нив.
33. И ако им правите добро на оние што вам ви прават добро, во што ви е пофалбата? И грешниците го прават истото.
34. И ако им позајмувате на оние од кои се надевате дека ќе добиете, каква ви е благодарноста? И грешниците им позајмуваат на грешниците, за да си го вратат даденото.
35. Туку, љубете ги своите непријатели, правете им добро и позајмувајте им без да очекувате нешто да ви се врати. А вашата награда ќе биде голема и ќе бидете синови на Севишниот, зашто Тој е благ кон неблагодарните и злите.
36. Бидете милостиви како што и вашиот Татко е милостив.'
37. 'Не судете и нема да бидете судени, и не осудувајте и нема да бидете осудувани. Проштавајте и ќе ви биде простено!
38. Давајте и ќе ви се даде: добра мера - набиена, протресена, преполнета, ќе ви биде дадена во скутот, зашто со каква мера мерите, со таква ќе ви се одмери. '
39. А им кажа и споредба: 'Може ли слеп човек да води слеп? Зар не ќе паднат обајцата в јама?
40. Нема ученик над својот учител, секој кој ќе се усоврши ќе биде како Неговиот учител.
41. Зошто ја гледаш раската во окото на својот брат, а не ја забележуваш гредата во своето око?
42. Како можеш да му речеш на брата си: 'Брате, дозволи ми да ја извадам раската од твоето око!', а сам не ја гледаш гредата во твоето око? Лицемеру, извади ја најнапред гредата од твоето око, па тогаш ќе гледаш јасно како да ја извадиш раската од окото на твојот брат!'
43. 'Нема добро дрво што дава лош плод, ниту лошо дрво што дава добар плод.
44. Зашто секое дрво се познава по својот род. Не се берат смокви од трње, ниту грозје од капина.
45. Добриот човек, од добрата ризница на своето срце, изнесува добро, а злиот човек, од лошата ризница изнесува зло, зашто неговата уста зборува од она од што изобилува неговото срце.'
46. 'И зошто Ме нарекувате: 'Господи! Господи!', а не го вршите она што го велам?'
47. Секој кој доаѓа кај Мене, кој го слуша Моето слово и го исполнува, ќе ви кажам на кого прилега.
48. Тој е како човек, кој гради куќа: ископал длабоко и ги поставил темелите врз карпа, а кога доаѓа поплава, поројот гргнува кон куќата, но не може да ја помрдне, зашто е добро изградена.
49. А кој слуша и не исполнува, прилега на човек, кој изѕидал куќа на почва, без темели. Поројот гргнува кон неа, и таа се урива веднаш, а уривањето на таа куќа е страшно.'

Глава 7

1. Кога заврши со говорот пред народот кој Го слушаше, влезе во Капернаум.
2. А слугата на еден стотник, кого тој го почитуваше, беше болен на умирачка.
3. И кога чу за Исус, испрати кај Него јудејски старешини, за да Го замолат да дојде и да му го исцели слугата.
4. А кога стигнаа кај Исус, љубезно Го молеа, велејќи: 'Заслужува да го сториш тоа за него,
5. зашто го љуби нашиот народ и тој ни ја изгради синагогата.'
6. Исус тргна со нив. И кога веќе не беше далеку од куќата, стотникот испрати пријатели да Му кажат: 'Господи, не труди се, зашто не сум достоен да влезеш под мојот покрив.
7. Затоа и не се сметав достоен да Ти пристапам - туку кажи само збор и мојот слуга ќе оздравее!
8. Зашто исто и јас сум човек потчинет, и имам потчинети војници; и на еден ако му кажам: 'Оди!' тој оди, а на друг: 'Дојди!' доаѓа; а на својот слуга: 'Направи го тоа!' го прави.'
9. Кога го чу тоа, Исус се восхити и се заврте кон народот што одеше по Него и рече: 'Ви велам, толкава вера не најдов ни во Израел.'
10. А кога испратените се вратија дома, го најдоа слугата здрав.
11. Потоа Исус отиде во градот наречен Наин, а со Него одеа Неговите ученици и многу народ.
12. А кога се приближи до градската порта, ете, изнесуваа мртовец, единствен син на мајка му, која беше вдовица, и со неа одеше голема врволица народ од градот.
13. А кога Господ ја виде, се сожали на неа и и рече: 'Не плачи!'
14. Тогаш се приближи и го допре носилото, а оние што го носеа застанаа, а Тој рече: 'Момче, тебе ти зборувам, стани!'
15. Мртовецот седна и почна да зборува, а Тој и го предаде на мајка му.
16. Страв ги обзеде сите, па Го славеа Бог и велеа: 'Голем пророк се појави меѓу нас' и 'Бог го посети Својот народ.'
17. И се разнесе овој глас за Него по цела Јудеја и по целата околина.
18. А Јовановите ученици Му соопштија на Јован сѐ што се случи.
19. Јован викна двајца свои ученици и ги испрати кај Господ да Го прашаат: 'Ти ли си Оној Кој треба да дојде или да чекаме друг?'
20. Кога испратените дојдоа кај Него, рекоа: 'Јован Крстителот нѐ прати кај Тебе, велејќи: Ти ли си Оној Кој треба да дојде, или да чекаме друг?'
21. Во тој час Тој исцели мнозина од болести, маки и зли духови, и на мнозина слепи им подари вид.
22. Тогаш ним им одговори: 'Одете и известете го Јован што видовте и чувте: слепи прогледуваат, куци проодуваат, лепрозни се исчистуваат, глуви прослушуваат, мртви стануваат, на бедните им се проповеда Евангелието;
23. и блажен е оној кој не ќе се соблазни од Мене!'
24. А кога испратените од Јован си отидоа, почна да му зборува на народот за Јован: 'Што излеговте да видите во пустината? Трска ли, што ветрот ја лулее?
25. Што излеговте да видите? Човек облечен во мека облека? Ете, луѓето, кои носат сјајни облеки и живеат раскошно, се во царските дворци.
26. А вие, што излеговте да видите? Пророк ли? Да, ви велам повеќе и од пророк!
27. Тој е оној за кого е пишано: 'Еве, го праќам Мојот гласникпред Твоето лице, кој ќе го подготви Твојот пат пред Тебе!'
28. Ви велам: меѓу родените од жена нема поголем од Јован; но најмалиот во Божјото царство е поголем од него.'
29. И сиот народ и даночниците, кои го чуја ова, ја признаа Божјата правда, зашто беа крстени со Јовановото крштавање.
30. А фарисеите и закониците ја отфрлија Божјата намера за нив, и не го примија неговото крштавање.

31. А со кого да ги споредам луѓето од ова поколение? На кого се слични?
32. Тие се како децата кои седат по пазариштата и си викаат едни на други: 'Ви свиревме, а не игравте! Ви пеевме жални песни, а не плачевте!'
33. Зашто дојде Јован Крстителот, кој ниту јаде леб, ниту пие вино, а велите: 'Демон има!'
34. Дојде Синот Човеков, Кој јаде и пие, а велите: 'Ете, јадач и пијаница, пријател на даночниците и грешниците!
35. Но се оправда мудроста пред сите нејзини чеда!'
36. Еден од фарисеите Го замоли Исуса да јаде со него. Тој влезе во неговиот дом и прилегна крај трпезата.
37. И ете, една жена од градот, која беше грешница, кога дозна дека Тој е прилегнат до трпезата во куќата на фарисејот, донесе со себе сад од алабастер со миро,
38. и застана зад Него до Неговите нозе, плачејќи и почна да Му ги мие нозете со солзи, да ги брише со својата коса, ги целиваше Неговите нозе и ги помазуваше со миро.
39. И кога го виде тоа фарисејот кој Го покани, си рече во себеси: 'Да е Овој Пророкот, би знаел која е и каква е оваа жена што се допира до Него: дека е грешница.'
40. А Исус пак му одговори и рече: 'Симоне, имам да ти кажам нешто.' А тој: 'Кажи, Учителе!'
41. Рече: 'Двајца му беа должни на еден заемодавец. Едниот му должеше петстотини денарии, а другиот педесет.
42. Бидејќи немаа да му вратат, тој великодушно им прости на двајцата. Кој од нив ќе го сака повеќе?'
43. Симон одговори: 'Мислам оној кому повеќе му простил.' А Тој му рече: 'Право пресуди!'
44. И кога се заврте кон жената, му рече на Симон: 'Ја гледаш ли оваа жена? Влегов во твојот дом, ти не ми даде вода за нозете, а таа со солзи ми ги облеа нозете и со својата коса ги избриша.
45. Ти не ми даде целив, а таа, откако влегов, не престана да Ми ги целива нозете.
46. Ти не ми ја помаза главата со масло, а таа Ми ги помаза нозете со миро.
47. Затоа ти велам, простени и се многу гревови, зашто имаше многу љубов; кому малку се простува - тој малку љуби.'
48. А нејзе и рече: 'Простени ти се гревовите.'
49. Оние кои беа заедно со Него крај трпезата, почнаа да си зборуваат во себе: 'Кој е Овој што и гревови простува?'
50. А на жената и рече: 'Твојата вера те спаси! Оди си со мир!'

Глава 8

1. Потоа, одеше по градовите и селата, навестувајќи и проповедајќи го Божјото царство. А со Него беа дванаесеттемина
2. и некои жени, кои беа исцелени од зли духови и болести: Марија од Магдала, од која беа излегле седум демони;
3. и Јоана, жената на Иродовиот управител Хуза, Сузана и многу други кои ги помагаа со лични средства.
4. Откако се собра едночудо народ и кога луѓе од сите градови дојдоа кај Него, Им рече во споредба:
5. 'Излезе сејач да сее семе. И додека сееше - едно падна крај патот, го изгазија и небесните птици го исколваа.
6. Друго пак падна на камен, изникна и се исуши зашто немаше влага.
7. Трето падна сред трње и трњето, растејќи со него, го задушија.
8. А четврто падна на добра земја, изникна и донесе стократен плод.' Кога го рече тоа, извика: 'Кој има уши да слуша, нека слуша!'
9. А Неговите ученици Го прашаа што значи оваа споредба?
10. Тој им рече: 'Вам ви е дадено да ги знаете тајните на Божјото царство; а на другите им се даваат во споредби, така што гледајќи, да не гледаат и слушајќи да не разбираат.
11. А оваа споредба значи: семето е Божјото слово.
12. Оние крај патот, тие го слушнале, потоа доаѓа ѓаволот и им го зема словото од нивните срца, за да не поверуваат и да не се спасат.
13. На камен се оние кои, штом ќе го слушнат, со радост го примаат словото, но ни тие немаат корен; веруваат некое време, но отпаѓаат во времето на искушенија.
14. Паднатото меѓу трње, тоа се оние кои слушале и кога ќе си отидат ги задушуваат грижите, богатството и световните наслади, и не донесуваат зрел плод.
15. А она на добрата почва, тоа се оние кои ќе го слушнат словото, го чуваат во добро и чисто срце и донесуваат плод со истрајност.'
16. 'Никој, кој запалил светилка, не ја покрива со поклопка, ниту ја става под леглото, туку ја става на свеќник, за да ја видат светлината оние кои влегуваат.
17. Зашто нема ништо тајно, што не ќе стане јавно, ниту скриено, што не ќе се разбере и излезе на видело.
18. И така, внимавајте како слушате! Зашто, кој има, ќе му се даде, кој нема, ќе му се одземе и она што му се чини дека го има.'
19. Мајка Му и Неговите браќа дојдоа кај Него, но не можеа да Му се приближат поради множеството народ.
20. А некој Му јави: 'Мајка Ти и Твоите браќа стојат надвор и сакаат да Те видат.'
21. А Тој им одговори и рече: 'Моја мајка и Мои браќа се оние кои го слушаат Божјото слово и го извршуваат.'
22. А еден ден, Тој влезе во кораб со Своите ученици и им рече: 'Да минеме од другана страна на езерово!' И отпловија.
23. А Тој заспа додека пловеа. Тогаш над езерото се спушти бура и коработ почна да се полни со вода, та се најдоа во опасност.
24. Дојдоа и Го разбудија, велејќи: 'Господаре, Господаре! Гинеме!' А Тој се разбуди, го прекори ветрот и големите бранови и тие престанаа, па сѐ стивна.
25. А ним им рече: 'Каде ви е верата?' А тие, уплашени, се чудеа и си рекоа еден на друг: 'Кој е Овој што им заповеда дури и на ветровите и на водата, а тие Го слушаат?'
26. И допловија до Гадаринскиот крај, спроти Галилеја.
27. А кога излезе на копно, Го сретна еден човек од градот, кој беше опседнат со демони, и долго време не носеше облека, ниту живееше во куќа, туку во гробовите.
28. Кога Го виде Исуса, извика, падна пред Него и рече гласно: 'Што имам со Тебе, Исусе, Сине

на Сѐвишниот Бог? Те молам, не мачи ме!'
29. Всушност му беше заповедал на нечистиот дух да излезе од човекот, кого честопати го напаѓаше, така што го врзуваа со вериги и го држеа во окови, и го чуваа под стража, но тој ги раскинуваше оковите и демонот го гонеше по пустините.
30. Исус го праша: 'Како се викаш?' Тој рече: 'Легион', зашто многу демони беа влегле во него.
31. И Го замолија да не им наредува да одат во бездната.
32. А таму по ридот имаше големо крдо свињи што пасеа. Демоните Го преколнуваа да им дозволи да влезат во свињите и Тој им дозволи.
33. И откако демоните излегоа од човекот, влегоа во свињите, и тие се урнаа низ стрмнината во езерото и се удавија.
34. А кога свињарите видоа што се случи, избегаа и јавија за тоа во градот и по селата.
35. Луѓето излегоа да видат што се случи, па дојдоа кај Исус и го најдоа човекот од кого излегоа демоните како седи до Исусовите нозе, облечен и разумен, и се исплашија.
36. А очевидците им раскажаа како беше ослободен опседнатиот.
37. И сиот народ од Гадаринската околина Го замоли да си замине, зашто го опфати голем страв. Тој пак влезе во коработ и се врати.
38. А човекот од кого излегоа демоните Го молеше да остане со Него. Но Тој го отпушти, велејќи:
39. 'Оди си дома и раскажувај какво големо нешто ти стори Бог!' И си отиде разгласувајќи по целиот град што му направи Исус.
40. А кога се врати Исус, народот Го пречека, зашто сите Го очекуваа.
41. И ете, дојде човек, по име Јаир, кој беше настојник на синагогата, падна пред Исусовите нозе и Го молеше да дојде во неговата куќа,
42. зашто имаше ќерка единица, на околу дванаесет години, која беше на умирачка. Кога одеше, народот се туркаше околу Него.
43. Една жена која страдаше дванаесет години од крвавење, а никој не можеше да ја излекува,
44. Му пристапи одзади и се допре до работ од Неговата наметка, и веднаш прекрати крвавењето.
45. А Исус рече: 'Кој ме допре?' И додека сите одрекуваа, Петар рече: 'Господаре, многу народ Те турка и притиска.'
46. Исус пак рече: 'Некој ме допре, зашто почувствував дека сила излезе од Мене.'
47. А штом жената виде дека не може да се скрие, пристапи треперејќи, падна пред Него и кажа пред сиот народ, зошто се допрела до Него и како оздравела веднаш.
48. А Тој и рече: 'Ќерко, твојата вера те исцели. Оди си со мир!'
49. Додека Тој уште зборуваше, дојде некој од куќата на настојникот и рече: 'Ќерка ти умре, не додевај Му повеќе на Учителот!'
50. Штом Исус чу, му рече: 'Не плаши се! Само верувај и ќе и биде добро.'
51. А кога дојде во куќата, не дозволи никому да влезе со Него, освен на Петар, Јован и Јаков, и на таткото и мајката на девојчето.
52. Сите плачеа и тажеа по неа. Тој им рече: 'Не плачете, зашто не е мртва, туку спие!'
53. Тие Му се потсмеваа зашто знаеја дека е умрена.
54. А Тој ја фати нејзината рака и извика: 'Чедо, стани!'
55. Духот и се врати, и стана веднаш, и Тој нареди да и дадат да јаде.
56. Нејзините родители се стаписаа, а Тој им заповеда никому да не кажуваат за тоа што се случило.

Глава 9

1. Потоа ги повика дванаесеттемина и им даде сила и власт над сите демони, како и да исцелуваат болести.
2. И ги испрати да го навестуваат Божјото царство и да исцелуваат болни.
3. Им рече: 'Не земајте ништо за пат: ни стап, ни торба, ни леб, ни пари! Ниту да имате по две облеки.
4. И во која куќа и да влезете, останете таму и оттаму тргнувајте.
5. И ако некои не ве примат, излезете од нивниот град, истресете си го правот од нозете, за сведоштво против нив!'
6. Тогаш тргнаа и одеа по селата, проповедајќи го Евангелието и исцелувајќи насекаде.
7. А тетрархот Ирод чу за сѐ што се случува и беше многу вознемирен, зашто некои зборуваа дека Јован воскреснал од мртвите;
8. други дека се појавил Илија; трети пак дека станал еден од старите пророци.
9. Ирод рече: 'На Јован јас му ја отсеков главата, а Кој е Овој за Кого слушам такви работи?' И бараше да Го види.
10. А кога се вратија апостолите, Му раскажаа сѐ што направиле. И кога ги зеде со Себеси, се повлече насамо, спроти градот наречен Бетсаида.
11. Но штом народот разбра за тоа, тргна по Него. А Тој ги прифати и им зборуваше за Божјото царство и ги исцелуваше оние кои имаа потреба од исцелување.
12. А кога денот почна да одминува, дванаесеттемина Му пристапија и Му рекоа: 'Испушти го народот да оди по околните села и населби, за да најде преноќиште и јадење, зашто тука сме на пусто место!'
13. Тој, пак, им рече: 'Дајте им вие јадење!' А тие рекоа: 'Немаме ништо повеќе од пет леба и две риби, освен да отидеме и да купиме храна за сиот овој народ!'
14. Зашто беа околу пет илјади мажи. И им рече на Своите ученици: 'Нека испоседнат во групи по педесет!'
15. И така направија и ги поседнаа сите.
16. Тој ги зеде петте лебови и двете риби, погледна кон небото, ги благослови, ги раскрши и им даваше на учениците за да ги стават пред народот.
17. И сите јадеа и се наситија, и ги кренаа парчињата што останаа полни дванаесет кошеви.
18. Кога еднаш се молеше сам, а учениците беа со Него, ги праша: 'Што вели народот, Кој Сум Јас?'
19. Тие Му одговорија: 'Едни велат, Јован Крстителот, други Илија, а трети дека воскреснал некој од старите пророци.'
20. Тогаш им рече: 'А вие што велите, Кој Сум Јас?' Петар во одговор рече: 'Божјиот помазаник!'
21. А Тој строго им заповеда никому да не го кажуваат тоа;
22. велејќи дека Синот Човеков треба да пропати многу, да биде отфрлен од старешините, од првосвештениците и од закониците, да биде убиен и да воскресне на третиот ден.
23. И на сите им зборуваше: 'Ако некој сака да оди по Мене, нека се откаже од себеси и нека го зема својот крст секојдневно, и нека Ме следи!
24. Кој сака да ја спаси својата душа - ќе ја загуби, а кој ќе ја загуби својата душа заради Мене, тој ќе ја спаси.
25. Зашто, каква полза има човекот ако го добие целиот свет, а самиот себе се загуби или се упропасти?
26. Зашто, од оној кој се срами од Мене и од Моите зборови, и Синот Човеков ќе се срами од него кога ќе дојде во Својата слава и во славата на Таткото и на светите ангели.
27. И вистина ви велам, има некои меѓу овие што стојат тука, кои нема да вкусат смрт, додека не го видат Божјото царство.'
28. А на околу осум дена по овие зборови, Тој ги зеде со себе Петар, Јован и Јаков и се искачи на гората да се моли.

29. И додека се молеше, Неговото лице се измени, а облеката Му стана бела и сјаеше.
30. И ете, два човека разговараа со Него; тоа беа Мојсеј и Илија,
31. кои се јавија во слава и говореа за Неговото заминување, што требаше да го изврши во Ерусалим.
32. А сон ги совлада Петар и неговите другари. И кога се разбудија, ја видоа Неговата слава и двајцата мажи кои стоеја со Него.
33. И кога тие се разделуваа од Него, Петар Му рече на Исус: 'Господаре, убаво ни е да останеме тука. Да направиме три шатори: еден за Тебе, еден за Мојсеј, еден за Илија' - не сфаќајќи самиот што зборува.
34. И додека тој уште го зборуваше тоа, дојде облак и ги засени и се исплашија кога влегоа во облакот.
35. А од облакот дојде глас кој велеше: 'Овој е Мојот Син, Мојот Избраник! Него Слушајте Го!'
36. Кога гласот заврши, Исус се најде Сам. Тие пак молчеа и никому ништо не кажуваа во тие дни за она што го видоа.
37. А на другиот ден, кога слегуваа од горада, Го пречека многу народ.
38. И ете, еден човек од народот извика: 'Учителе, Те молам, да го видиш мојот син, зашто ми е единец!
39. Ете, дух го напаѓа и почнува одеднаш да вика, и го фрла во грч со пена на устата и кога ќе го нападне, одвај го напушта.
40. Ги молев Твоите ученици да го истераат, но не можеа.'
41. Исус пак одговори и рече: 'О, неверно и изопачено поколение, до кога ќе бидам со вас и до кога ќе ве трпам? Доведи го син ти тука!'
42. И додека му приоѓаше, демонот го кутна наземи и почна да го крши; но Исус го прекори нечистиот дух и го исцели момчето и му го предаде на татко му.
43. И сите се восхитија на Божјото величество. И додека сите беа вчудовидени од сето она што го направи, Тој им рече на Своите ученици:
44. 'Чујте ги овие зборови: нека ви одѕвонуваат во ушите: 'Синот Човеков ќе биде предаден во човечки раце!'
45. Но тие не ја разбраа таа изјава, зашто беше скриена од нив, за да не ја разберат, а се плашеа да го прашаат за неа.
46. И се јави расправија - кој од нив ќе биде најголем?
47. А Исус, знаејќи ја мислата на нивните срца, зеде едно дете и го постави крај Себеси,
48. и им рече: 'Тој што го прима ова дете во Мое име, Мене Ме прима. А кој Ме прима Мене, Го прима Оној Кој Ме прати; зашто, оној кој е најмал меѓу сите вас, тој е голем.'
49. А Јован проговори и рече: 'Господаре, видовме еден кој истерува демони во Твое име, и му забранивме, зашто не оди по нас.'
50. Исус пак му рече: 'Не бранете му. Зашто, кој не е против вас, тој е за вас.'
51. А кога дојде време да се вознесе, Тој цврсто реши да отиде во Ерусалим;
52. и испрати гласници пред Себе. Тие заминаа и дојдоа во едно самарјанско село - да подготват место за Него.
53. Но таму не Го примија, зашто беше тргнал кон Ерусалим.
54. Кога го видоа тоа учениците Јаков и Јован, рекоа: 'Господи, сакаш ли да заповедаме да слезе оган од небото и да ги истреби?'
55. А Тој се заврте и ги прекори, велејќи: 'Вие не знаете со каков дух сте;
56. зашто Синот Човеков не дојде да погубува човечки души, туку да ги спаси.' И отидоа во друго село.
57. И додека одеа по патот, еден му рече: 'Ќе Те следам каде и да одиш.'
58. Исус пак му рече: 'Лисиците имаат дувла и небесните птици - гнезда, а Синот Човеков нема каде да засолне глава.'
59. А на друг му рече: 'Оди по Мене!' Но тој рече: 'Господи, дозволи ми најнапред да појдам и да го погребам татко ми.'

60. Но Тој рече: 'Остави ги мртвите да ги погребуваат своите мртовци. А ти, оди и навестувај го Божјото царство! '
61. А трет рече: 'Јас ќе Те следам, Господи, но дозволи ми прво да се збогувам со домашните!'
62. Исус пак му рече: 'Никој, кој ја ставил својата рака на ралото, а погледнува наназад, не е достоен за Божјото царство.'

Глава 10

1. Потоа Господ определи седумдесетмина други и ги испрати, по двајца, пред Себе во секој град и во секое место, каде што сакаше да појде.
2. И им рече: 'Жетвата е голема, а работниците се малку. Затоа молете Го Господарот на жетвата да испрати работници на Својата жетва.
3. Одете! Ете, Јас ве праќам како јагниња меѓу волци.
4. Не носете ни чекмеже, ни торба, ниту обувки и по пат не поздравувајте никого!
5. И во која куќа ќе влезете, најнапред речете: 'Мир во овој дом!'
6. И ако има таму човек на мирот, вашиот мир ќе остане на него; а ако нема, ќе се врати кај вас.
7. Останете во таа куќа, јадете и пијте што ќе ви дадат, зашто работникот ја заслужува својата заработка. Не минувајте од куќа во куќа.
8. И ако влезете во некој град и ве примат, јадете што ќе изнесат пред вас!
9. Исцелувајте ги болните во него и говорете им: 'Божјото царство се приближи до вас!'
10. Ако пак влезете во некој град и не ве примат, излезете на неговите улици и речете:
11. 'И правот од вашиот град, што се залепил на нашите нозе, ви го истресуваме; но знајте го ова - Божјото царство се приближи.'
12. Ви велам - полесно ќе му биде на Содом во оној ден, отколку на тој град.'
13. 'Тешко тебе, Хоразине! Тешко тебе, Бетсаидо! Зашто ако во Тир и Сидон беа извршени моќните дела што се случија кај вас, веќе одамна би се покајале, облечени во вреќишта и во пепел.
14. Но на Тир и Сидон полесно ќе им биде на Судот, отколку вам!
15. А ти Капернауме, зар ќе се издигаш до небо? До адот ќе бидеш спуштен!
16. Кој ве слуша вас, Мене Ме слуша, и кој ве отфрла вас, Мене Ме отфрла, а кој Ме отфрла Мене, Го отфрла Оној Кој Ме прати.'
17. А седумдесеттемина се вратија со радост и рекоа: 'Господи, дури и демоните ни се покоруваат во Твое име.'
18. А Тој им рече: 'Го гледав сатаната како паѓа од небото, како молња!
19. Ете, ви давам власт да газите на змии и на скорпии и над секоја непријателска сила, и ништо нема да ви напакости.
20. Но не радувајте се на тоа дека духовите ви се покоруваат, туку радувајте се дека вашите имиња се запишани на небесата!'
21. Во истиот час Тој многу се зарадува во Светиот Дух и рече: 'Те славам, Татко, Господар на небото и на земјата, што го скри ова од мудрите и умните, а им го откри на малите деца. Да, Татко, зашто таква Ти беше Твојата волја.
22. Мојот Татко Ми предаде сè! И никој не знае Кој е Синот, освен Таткото; и Кој е Таткото - освен Синот, и оној на кого Синот сака да му открие.'
23. И кога се обрати кон учениците, им рече насамо: 'Блажени се очите кои го гледаат ова што вие го гледате!
24. Зашто, ви велам дека многу пророци и цареви сакаа да го видат тоа што вие го гледате, а не го видоа, и да го чујат она што вие го слушате, а не го чуја.'
25. И ете, еден толкувач на Законот стана да Го искушува и Го праша: 'Учителе, што треба да правам за да наследам вечен живот?'
26. Тој му рече: 'Што е напишано во Законот? Што читаш?'
27. А тој одговори, велејќи: 'Љуби Го Господ, својот Бог со сето свое срце, со сета своја душа, со сета своја сила и со сиот свој ум, и својот ближен како себеси!'
28. На тоа Исус му рече: 'Точно одговори! Прави го тоа и ќе живееш!'
29. Но тој, сакајќи да се оправда, Го праша Исуса: 'А кој е мојот ближен?'
30. Исус му одговори, велејќи му: 'Еден човек, слегувајќи од Ерусалим во Ерихон, налета на разбојници кои го соблекоа и го ранија, го оставија полумртов и си отидоа.

31. А случајно по истиот пат слегуваше еден свештеник и кога го виде, го одмина.
32. Исто така и еден левит, кога дојде таму и кога го виде - го одмина.
33. А еден патник, самарјанин, дојде до него и кога го виде, се сожали.
34. Му се приближи, му ги полеа раните со масло и вино и му ги преврза; потоа го качи на своето добиче, го однесе во гостилницата и се погрижи за него.
35. Утредента извади два денарии, му ги даде на гостилничарот и му рече: 'Погрижи се за него, а ако потрошиш нешто повеќе, ќе ти платам на враќање.'
36. Што мислиш, кој од тие тројца му беше ближен на оној кој падна во рацете на разбојниците?'
37. Тој одговори: 'Оној што му укажа милосрдност.' Исус му рече: 'Оди и ти прави така.'
38. Кога одеа, влезе во едно село, а некоја жена, по име Марта, Го покани во својот дом.
39. Таа имаше сестра што се викаше Марија, која седна крај Господовите нозе и го слушаше Неговото слово.
40. А Марта се трудеше многу да Му служи што подобро. Таа пристапи и рече: 'Господи! Зар не Те засега тоа што сестра ми ме остави сама да Те служам? Речи и да ми помогне!'
41. А Господ и одговори, велејќи: 'Марта! Марта! Ти си загрижена и вознемирена за многу нешта;
42. а само некои работи се потребни, всушност само една. Марија го избра добриот дел, што нема да и се одземе.'

Глава 11

1. А кога се молеше на едно место и кога престана, еден од Неговите ученици Му рече: 'Господи, научи нѐ да се молиме, како што и Јован ги научи своите ученици!'
2. А Тој им рече: 'Кога се молите, изговарајте: 'Татко, нека биде свето Твоето име! Нека дојде Твоето Царство!
3. Нашиот насушен леб, давај ни го секој ден!
4. Прости ни ги нашите гревови, зашто и ние самите му ги проштаваме на секој должник! И не воведувај нѐ во искушение!'
5. И им рече: 'Ако некој од вас има пријател и појде кај него на полноќ, и му рече: 'Пријателе, дај ми на заем три леба,
6. зашто ми дојде пријател од пат, а немам што да ставам пред него',
7. а оној однатре му одговори: 'Не додевај ми, вратата е веќе затворена, а децата ми се со мене в постела, не можам да станам да ти дадам',
8. ви велам, ако и не би станал да му даде затоа што му е пријател, ќе стане заради неговото настојување и ќе му даде колку што му треба.
9. А Јас ви велам: 'Молете и ќе ви биде дадено! Барајте и ќе најдете! Чукајте, и ќе ви биде отворено!
10. Зашто секој кој моли, прима; и кој бара, наоѓа; а на оној кој чука, ќе му биде отворено.
11. И кој е оној татко меѓу вас, што ќе му даде на својот син камен, ако побара леб? Или, ако побара риба, да му даде место риба, змија?
12. Или ако побара јајце да му даде скорпија?
13. И така, ако вие кои сте зли, можете да им давате добри дарови на своите деца, колку повеќе небесниот Татко ќе им го даде Светиот Дух на оние кои Го молат?'
14. Еднаш истеруваше демон, кој беше нем. И кога демонот излезе, немиот проговори, а народот се восхити.
15. А некои од нив рекоа: 'Тој ги изгонува демоните со помош на Белзебуб, принцот на демоните.
16. Другите пак го искушуваа и бараа од Него знак од небото.
17. А Тој ги знаеше нивните мисли и им рече: 'Ќе се испусти секое царство, ако се раздели во себеси, и домот разделен однатре - паѓа.
18. И ако сатаната се раздели во себеси, како ќе се одржи неговото царство? А вие велите дека изгонувам демони со помош на Белзебуб,
19. И ако Јас изгонувам демони преку Белзебуб, тогаш со чија помош ги изгонуваат вашите синови? Ете затоа тие ќе ви бидат судии.
20. Но ако изгонувам демони со Божјиот прст, значи дека Божјото царство дошло кај вас.
21. Кога силен, вооружен човек, го чува својот дом, над неговиот имот владее мир.
22. Но ако дојде посилен од него и го нападне и совлада, ќе му го одземе оружјето на кое се беше надевал, и ќе го раздели ограбеното.
23. Кој не е со Мене, тој е против Мене, и кој не собира со Мене, растура!
24. Кога нечистиот дух ќе излезе од човекот, тој талка по безводни места и бара спокојство. И кога нема да најде, вели: 'Ќе се вратам во својот дом, од каде што излегов.'
25. И кога ќе дојде, го наоѓа изметен и суреден.
26. Тогаш оди и зема седум други демони, полоши од себе, а кога ќе влезат живеат таму, па последната состојба на тој човек станува полоша од првата.'
27. А кога го зборуваше тоа, една жена од народот, извика: 'Блажена е утробата која Те носела и градите кои те доеле.'
28. А Тој рече: 'Напротив, блажени се оние кои го слушаат Божјото слово и го пазат.'
29. А кога народот се собираше, Тој почна да зборува: 'Ова поколение е зло поколение; бара знак, но нема да му биде даден, освен знакот на Јона.
30. Имено, како што Јона им беше знак на Ниневијците, така и Синот Човеков ќе биде за ова

поколение.
31. Царицата на Југот ќе се јави на суд со луѓето од ова поколение и ќе го осуди; зашто дојде од крајот на земјата, за да ја чуе Соломоновата мудрост. А ете, тука има нешто поголемо од Соломон!
32. Ниневијците ќе се јават на суд со ова поколение и ќе го осудат, зашто се покајаа од проповедта на Јона, а ете, тука има нешто поголемо од Јона!
33. Никој не става запалена светилка на скриено место или под вршник, туку на свеќник, за да ја видат светлината оние кои влегуваат.
34. Светилката на телото е твоето око. Ако твоето око е бистро - целото твое тело е осветлено; ако пак е зло, и твоето тело е исполнето со темнина.
35. Затоа внимавај, светлината што е во тебе да не биде темнина!
36. Ако целото твое тело е полно со светлина, без да има темен дел, ќе биде целосно осветлено, како кога светилката те осветлува со своите зраци.'
37. И додека Тој зборуваше, еден фарисеј Го покани на ручек кај него; Тој влезе и седна крај трпезата.
38. А штом фарисејот го виде тоа, се зачуди зашто не се изми пред да јаде.
39. А Господ му рече: 'Точно, вие фарисеите ја чистите надворешноста на чашата и чинијата, а вашата внатрешност е полна со грабеж и лукавство.
40. Безумници! Зар Оној Кој ја создаде надворешноста, не ја создаде и внатрешноста?
41. Туку, дајте го како милостина тоа што е внатре, и ете, сè ќе ви биде чисто.
42. Но, тешко вам, фарисеи, кои давате десеток од нане и од горчлива трева, и од секаков зеленчук, а ги занемарувате правдата и Божјата љубов! Ова требаше да го правите без да ги запоставите и другите работи.
43. Тешко вам, фарисеи, зашто ги сакате првите места во синагогите и поздравите по пазарите.
44. Тешко вам, зашто сте како гробови, што не се забележуваат, па луѓето што газат преку нив не ги знаат.'
45. Тогаш еден од закониците Му одговори, велејќи Му: 'Учителе, кога го зборуваш тоа, и нас нè навредуваш.'
46. Тој пак им рече: 'Горко ви вам - законици, зашто ги товарите луѓето со бремиња што тешко се носат, а вие самите ни со прст не се допирате до бремињата.
47. Тешко вам, зашто им градите надгробни споменици на пророците, а татковците ваши ги убија!
48. Па така, вие сте сведоци за делата на вашите татковци и се согласувате со нив; зашто тие и ги убија, а вие им градите гробници.
49. Затоа и Божјата мудрост вели: 'Ќе им испратам пророци и апостоли, и едни ќе убијат, а други ќе прогонат,
50. за да се побара од ова поколение крвта на сите пророци пролеана од создавањето на светот:
51. од крвта на Авел, па сè до крвта на Захарија кој загина меѓу жртвеникот и светилиштето. Да, ви велам, ќе се бара од ова поколение.
52. Тешко вам, законици, зашто го зедовте клучот од знаењето - самите не влеговте, а им попречивте на оние кои сакаа да влезат.'
53. А кога излезе оттаму, закониците и фарисеите многу се разгневија на Него и почнаа да Го испитуваат за многу работи,
54. дебнејќи Го да Го фатат за некој збор.

Глава 12

1. Во меѓувреме се собраа едночудо луѓе, па се газеа едни со други. Тој почна да им зборува првин на Своите ученици: 'Пазете се од фарисејскиот квас, што е лицемерство!
2. Нема ништо скриено, што не ќе се открие, ниту тајно, што не ќе се дознае!
3. Затоа, тоа што сте го рекле во темнина, ќе се чуе на видело, и што сте го шепотеле во собите, ќе биде разгласено од покривите.
4. А вам, пријатели, ви велам: не плашете се од оние што го убиваат телото, а потоа не можат ништо повеќе да сторат!
5. Туку ќе ве предупредам од кого да се плашите: плашете се од Оној Кој откако ќе убие има власт да фрли во пеколот! Да, ви велам, плашете се од Него!
6. Зар не се продаваат две врапчиња за две парички? И ниедно од нив не е заборавено пред Бог.
7. А вам ви се изброени и сите влакна на главата! Не плашете се! Вие вредите повеќе од многу врапчиња.
8. И ви велам: секој што ќе Ме признае Мене пред луѓето, и Синот Човеков ќе го признае него пред Божјите ангели;
9. а кој ќе се откаже од Мене пред луѓето, ќе биде откажан пред Божјите ангели.
10. На секој што ќе рече збор против Синот Човеков, ќе му биде простено, но на оној кој ќе похули против Светиот Дух, нема да му биде простено.
11. И кога ќе ве одведат во синагогите, пред управителите и властите, не грижете се за тоа како и што ќе кажете во ваша одбрана,
12. зашто Светиот Дух ќе ве научи во истиот час што треба да кажете!
13. Тогаш некој од толпата Му рече: 'Учителе, кажи му на брат ми да го подели наследството со мене!'
14. А Тој му рече: 'Човече, кој Ме поставил Мене за судија или за делител над вас?'
15. И им рече: 'Внимавајте и чувајте се од секој вид на алчност, зашто животот на човекот не се состои во изобилството на неговиот имот!'
16. И им кажа и споредба, велејќи: 'Земјата на еден богат човек многу му роди.
17. И размислуваше во себеси: 'Што да направам, ќе немам каде да ги соберам плодовите?'
18. Потем рече: 'Ќе сторам вака: ќе ги урнам амбарите и ќе изградам поголеми и таму ќе го соберам сето жито и целата летнина.
19. Е, тогаш ќе и речам на својата душа: душо, имаш јадачка и пијачка за многу години; почивај, јади, пиј и весели се!'
20. Ама Бог му рече: 'Безумен човече, вечерва ќе ти ја побарам душата! Чие ќе биде сето тоа што го натрупа?'
21. Така поминува секој што собира богатство за себе, а не е богат во Бога.'
22. И уште им рече на учениците: 'Затоа ви велам: не бидете загрижени за својот живот - што ќе јадете, ниту за своето тело - што ќе облечете;
23. зашто животот е повеќе од храната, а телото од облеката.
24. Погледнете ги гавраните, ниту сеат, ниту жнеат; немаат ни складови, ни амбари, а сепак Бог ги храни. А вие вредите многу повеќе од птиците!
25. А кој од вас може грижејќи се, да и додаде еден лакот на својата става?
26. И така, ако не можете да го направите ни најмалото, зошто сте загрижени за другото?
27. Погледнете како растат криновите. Тие не се трудат и не предат; а Јас ви велам дека ни Соломон, во сета своја слава, не се облече како еден од нив.
28. Ако Бог така ја облекува тревата в поле, што денес ја има, а утре се фрла в оган, колку повеќе вас, маловерни?
29. И не гледајте што ќе јадете и што ќе пиете, и не бидете загрижени!
30. Сето тоа го бараат луѓето од овој свет, а вашиот Татко знае дека тоа ви е потребно.
31. Туку барајте го Неговото царство, и тоа ќе ви се придодаде!

32. Не плаши се, мало стадо, зашто вашиот Татко со радост реши да ви го даде Царството.
33. Продајте го својот имот и дајте го како милостина! Направете си торби што не излитуваат, неисцрпно богатство на небесата, каде крадец не се приближува, ниту молец изедува,
34. зашто каде што е вашето богатство таму ќе биде и вашето срце.'
35. Бидете подготвени и запалете ги светилките!
36. А вие бидете како луѓе кои го чекаат својот господар кога се враќа од свадба, за да му отворат веднаш штом ќе дојде и чукне.
37. Блажени се оние слуги кои господарот ќе ги најде будни кога ќе си дојде! Вистина ви велам дека ќе им рече да прилегнат крај трпезата и ќе дојде да им служи.
38. И ако дојде во втората или третата стража и ги најде така, блазе си им.
39. Но, знајте го ова: ако домаќинот знае во кој час ќе дојде крадецот, нема да дозволи да му провали во куќата.
40. И вие бидете подготвени, зашто Синот Човеков ќе дојде во час кога не Го очекувате!'
41. Тогаш Петар рече: 'Господи, само нам ли ни ја кажуваш оваа споредба или на сите?'
42. А Господ рече: 'Кој е тој верен и разумен настојник, кого господарот ќе го постави над своите слуги, за да им дава храна на време?
43. Блажен е оној слуга, кого господарот, кога ќе се врати, ќе го најде да прави така!
44. Вистина ви велам, ќе го постави над целиот свој имот.
45. Но ако тој слуга рече во своето срце: 'Мојот господар нема скоро да дојде', па почне да ги тепа слугите и слугинките, да јаде, да пие и да се опива;
46. господарот на тој слуга ќе дојде во ден кога не го очекува, и во час што не го знае, и ќе го раскине на парчиња и ќе го прати кај неверните.
47. А оној слуга, кој ја знаел волјата на својот господар, а не приготвил и не постапил според неговата волја, ќе биде многу тепан.
48. А оној кој не знаел, а направил нешто што заслужува камшикување, ќе биде малку тепан. Од секој, кому му е дадено многу, многу ќе се бара, а кому му е доверено многу, од него ќе се бара уште повеќе.'
49. 'Дојдов да фрлам оган на земјата, и колку би сакал веќе да е запален!
50. Но треба да бидам крстен, и колку ми е тешко додека не се изврши тоа.
51. Мислите ли дека дојдов да донесам мир на земјата? Не, ви велам, туку раздор,
52. зашто отсега петмина во една куќа ќе бидат разделени: тројца против двајца, двајца против тројца.
53. Ќе се разделат татко против син, и син против татко; мајка против ќерка, и ќерка против мајка; свекрва против снаа, и снаа против свекрва.'
54. А на народот му рече: 'Кога гледате дека се дига облак од запад, веднаш велите: 'Доаѓа бура' - и се збиднува.
55. И кога гледате дека дува јужен ветар, велите: 'Ќе биде жешко и се збиднува.
56. Лицемери! Умеете да ги протолкувате појавите на небото и земјата, како тогаш не го препознавате ова време?
57. А зошто сами за себе не процените што е право?
58. Зашто, кога одиш со својот противник кај управникот, погрижи сѐ уште по пат да се спогодиш со него, за да не те предаде на судијата, а судијата да те предаде на извршителот, а тој да те фрли в зандана.
59. Ти велам, нема да излезеш оттаму, додека не ја дадеш и последната пара.'

Глава 13

1. Токму во тоа време дојдоа некои и Го известија што се случи со Галилејците, чија крв Пилат ја измеша со крвта на нивните жртви.
2. Тој одговори, велејќи им: 'Мислите дека тие Галилејци беа повеќе грешни од останатите Галилејци, па затоа настрадаа така?
3. Не, ви велам, но ако не се покаете, сите така ќе загинете.
4. Или мислите дека оние осумнаесет души, врз кои падна Силоамската кула и ги уби, беа повиновни од сите луѓе кои живеат во Ерусалим?
5. Не, ви велам! Но ако не се покаете, сите така ќе загинете.'
6. Ја кажа и оваа споредба: 'Некој човек беше насадил смоква во своето лозје, па дојде да побара плод на неа, но не најде.
7. Тогаш му рече на лозарот: 'Еве, веќе три години доаѓам и барам плод на оваа смоква, но не наоѓам. Пресечи ја! Зошто и натаму да ја испостува земјата?'
8. Но тој му одговори, велејќи: 'Господине, остави ја уште оваа година, додека раскопам околу неа и ја наѓубрам,
9. па можеби ќе роди идната година, ако не пресечи ја.
10. А кога поучуваше во сабота, во една синагога,
11. ете, таму беше една жена, која осумнаесет години имаше болест предизвикана од дух, и беше свиткана вудве и не можеше да се исправи.
12. Штом Исус ја виде, ја повика и и рече: 'Жено, избавена си од својата болест,
13. па ги стави рацете врз неа, а таа веднаш се исправи и Го славеше Бога.
14. А настојникот на синагогата Му забележа дека Исус исцели во сабота, па му рече на народот: 'Има шест дена кога треба да се работи! Во тие денови доаѓајте и лекувајте се! А не во саботен ден!'
15. Но Господ му одговори, велејќи: 'Лицемери! Дали секој од вас не го одврзува својот вол или магаре од јаслите во сабота и не го води ли да го напои?
16. А оваа жена, Авраамова ќерка, која сатаната ја врзал веќе осумнаесет години, не требаше ли да биде ослободена од таа врска во саботен ден?'
17. И кога го рече тоа, се засрамија сите Негови противници, а целиот народ им се радуваше на сите славни дела што ги изврши.
18. Потоа рече: 'На што прилега Божјото царство и со што да го споредам?
19. Прилега на синапово зрно, што човек го зема и го посејува во својата градина, каде израснува и станува големо дрво, а небесните птици прават гнезда на неговите гранки.'
20. И пак рече: 'Со што да го споредам Божјото царство?
21. Тоа прилега на квасот, што се зема и се замесува во три мери брашно, додека сето тоа не скисне.'
22. И патувајќи кон Ерусалим, минуваше низ градови и села и поучуваше.
23. А некој му рече: 'Господи, малку ли се оние што се спасуваат?' Тој пак им рече:
24. 'Настојувајте да влезете низ тесната врата, зашто ви велам: мнозина ќе посакаат да влезат, но не ќе можат.
25. Кога домаќинот ќе стане и ќе ја затвори вратата, ако вие останете надвор и почнете да чукате и да викате: 'Господаре, отвори ни!', Тој ќе ви одговори: 'Не знам од каде сте!'
26. Тогаш ќе почнете да зборувате: 'Јадевме и пиевме пред Тебе, а Ти поучуваше по нашите улици.'
27. А Тој ќе ви рече: 'Ви велам, не знам од каде сте! Отстапете од Мене сите вие што вршите неправда!'
28. Ќе има лелек и чкртање со заби, кога ќе ги видите Авраам, Исак, Јаков и сите пророци во Божјото царство, а себеси - истерани надвор.
29. И ќе дојдат од исток и запад, од север и југ, и ќе седнат во Божјото царство.
30. И ете, има последни што ќе бидат први, и има први што ќе бидат последни.'

31. И во истиот час пристапија некои фарисеи и Му рекоа: 'Излези и оди си оттука, зашто Ирод сака да Те убие!'
32. Тој им рече: 'Одете и кажете и на таа лисица: 'Еве изгонувам демони и исцелувам денес и утре, а третиот ден ќе завршам.
33. Но денес, утре и задутре треба да патувам, зашто не чини пророк да загине надвор од Ерусалим.''
34. 'Ерусалиме, Ерусалиме, ти што ги убиваш пророците и со камења ги погубуваш оние што се испратени кај тебе, колкупати сакав да ги соберам твоите деца, како квачката своите пилиња под крилјата, но не сакавте!
35. Еве, ви останува пуст вашиот дом. И ви велам: нема да Ме видите додека не дојде време да кажете: 'благословен е Оној Кој доаѓа во Господово име!''

Глава 14

1. Кога еднаш во саботен ден влезе во куќата на некој фарисејски старешина за да јаде леб, тие будно Го набљудуваа.
2. И ете, пред Него беше еден човек кој страдаше од водена болест.
3. Исус проговори и им рече на закониците и фарисеите: 'Дали е дозволено или не е да се лекува во сабота?'
4. Тие молчеа. А Тој го допре, го исцели и го пушти.
5. А ним им рече: 'Кој од вас, кога ќе му падне синот или волот в бунар, не ќе го извади веднаш во саботен ден?'
6. И не можеа ништо да Му одговорат на тоа.
7. А на гостите им кажа споредба, кога забележа како тие ги избраа почесните места и им рече:
8. 'Кога ќе те покани некој на свадбена гоштавка, не седнувај на почесно место да не би да е поканет случајно некој кој е поугледен од тебе,
9. па оној што те поканил и тебе и него да не дојде и да ти каже: 'Отстапи му го местото на овој!' И тогаш ќе треба засрамен да го заземеш последното место.
10. Но, кога ќе те поканат, оди и прилегни на последното место, па оној што те поканил, кога ќе дојде, да ти каже: 'Пријателе, премести се погоре!' Тогаш ќе имаш чест пред сите што се со тебе крај трпезата.
11. Зашто, секој кој се возвишува, ќе биде понижен; а кој се понизува, ќе биде возвишен.'
12. Му рече и на оној што Го покани: 'Кога даваш ручек или вечера, не кани ги своите пријатели, ни твоите браќа, роднините, ниту богатите соседи, за да не те поканат и тие и да ти биде возвратено.
13. Туку кога даваш гоштавка, покани ги бедните, сакатите, куците и слепите!
14. И ќе бидеш блажен, зашто немаат со што да ти вратат! Ќе ти биде возвратено при воскресението на праведниците.'
15. Кога го чу тоа еден од гостите, Му рече: 'Блажен е оној кој ќе јаде леб во Божјото царство! '
16. А Тој му рече: 'Еден човек приготви голема вечера и покани мнозина.
17. А кога дојде време за вечера, го испрати својот слуга да им рече на поканетите: 'Повелете, зашто трпезата е готова!'
18. А тие, како договорени, почнаа да се извинуваат. Првиот рече: 'Купив нива и треба да појдам да ја видам. Те молам, извини ме!'
19. Другиот му рече: 'Купив пет ѕевгари волови, па ќе одам да ги испробам, те молам, извини ме!'
20. И третиот рече: 'Се оженив, затоа не можам да дојдам!'
21. Слугата се врати и му го кажа тоа на својот господар. Тогаш домаќинот се разгневи и му рече на својот слуга: 'Излези бргу по крстосниците и градските улици и доведи ги ваму бедните, сакатите, слепите и куците!'
22. А слугата му рече: 'Господаре, направено е како што заповеда, но има уште место.'
23. И господарот му рече на слугата: 'Излези по патиштата и по оградите и викни ги да дојдат, за да ми се наполни домов.
24. Зашто ви велам: ниеден од тие што беа поканети нема да вкуси од мојата вечера.''
25. Кога едночудо народ одеше по него, Тој се обѕрна и им рече:
26. 'Ако некој дојде кај Мене, а не ги замрази: таткото, мајката, жената, децата, браќата, сестрите, па и својата сопствена душа, не може да биде Мој ученик.
27. Кој не го носи својот крст и не оди по Мене, не може да биде Мој ученик.
28. Зашто, кој од вас, кога сака да изгради кула, не ќе седне прво да ги пресмета трошоците, дали има со што да ја заврши?
29. Инаку, откога ќе ја постави основата, а не може да заврши, сите што гледаат ќе почнат да се подбиваат, велејќи:

30. 'Овој човек почна да гради, а не може да заврши!'
31. Или, кој цар кога оди на војна против друг цар, прво не ќе седне да се посоветува, може ли со десет илјади да издржи пред оној кој иде против него со дваесет илјади?
32. Ако не може, испраќа пратеници додека е оној уште далеку и моли за мир.
33. И така, ако некој од вас не се откаже од сè што има, не може да биде Мој ученик.'
34. Солта е добра. Но ако таа стане блуткава, со што ќе се осоли?
35. Не е добра ни за почвата, ни за ѓубрето, па ја исфрлаат надвор. Кој има уши да слуша - нека слушне.'

Глава 15

1. Сите даночници и грешници се собираа околу Него, за да Го слушаат.
2. А фарисеите и закониците пак мрмореа, велејќи: 'Овој прима грешници и јаде со нив.'
3. Тогаш им ја кажа оваа споредба:
4. 'Кој од вас, ако има сто овци, и загуби една од нив, не ќе ги остави деведесет и деветте во пустината и не ќе тргне по загубената, додека не ја најде.
5. А кога ќе ја најде, ќе ја крене на своите рамена радувајќи се
6. и кога ќе дојде дома, ќе ги викне пријателите и соседите и ќе им рече: 'Радувајте се со мене, зашто ја најдов својата изгубена овца!'
7. Ви велам: поголема радост ќе има на небото, за еден грешник кој се кае, отколку за деведесет и девет праведници, кои немаат потреба од каење.'
8. 'Или, која жена, ако има десет сребреници и загуби еден, нема да запали светилка, и не ќе ја мете куќата, и не ќе го бара внимателно, додека не го најде?
9. А кога ќе го најде, ќе ги викне пријателите и соседите и ќе им рече: 'Радувајте се со мене, зашто го најдов сребреникот што го загубив!'
10. На ист начин, ви велам, се радуваат Божјите ангели, заради еден грешник, кој се кае.'
11. И рече: 'Еден човек имаше два сина.
12. Помладиот од нив му рече на татка си: 'Татко, дај ми го делот од имотот, што ми припаѓа!' И тој им го раздели имотот.
13. А по неколку дена помладиот син собра сѐ што беше негово и замина во далечна земја и таму го потроши својот имот, живеејќи развратно.
14. Кога потроши сѐ, настана голем глад во таа земја, и тој се најде во скудност.
15. Тогаш отиде и се здружи со еден тамошен човек, а тој го испрати на своите полиња, за да ги пасе свињите.
16. И страден беше да го наполни својот желудник со рогачки што ги јадеа свињите, но никој не му ги даваше.
17. А кога дојде на себеси, рече: 'Колку момоци кај татко ми имаат леб во изобилство, а јас овде умирам од глад!
18. Ќе станам и ќе си појдам кај татко ми, па ќе му речам: 'Татко, згрешив спрема небото и пред тебе;
19. не сум веќе достоен да се нарекувам твој син. Прими ме како еден од твоите момоци!'
20. И стана и тргна кон татка си. И кога беше уште далеку, неговиот татко го здогледа и се сожали, па се стрча кон него, му се фрли на вратот и го целиваше.
21. А синот му рече: 'Татко, згрешив спрема небото и пред тебе. Не сум веќе достоен да се нарекувам твој син!'
22. Но таткото им рече на своите слуги: 'Бргу, донесете ја најубавата облека, облечете го и ставете му прстен на раката, и обувки на нозете.
23. Дотерајте го згоеното теле и заколете го, да јадеме и да се веселиме,
24. зашто овој мој син беше мртов и оживе, беше загубен и се најде.' И почнаа да се веселат.
25. А неговиот постар син беше в поле. Кога се враќаше и се приближи до куќата, чу песна и играње;
26. па повика еден од слугите и го праша што е тоа.
27. А тој му рече: 'Брат ти си дојде и твојот татко го закла згоеното теле, бидејќи се врати жив и здрав.'
28. Тој се налути и не сакаше да влезе, а неговиот татко излезе и почна да го моли.
29. А тој му одговори на татка си: 'Еве, ти служам толку години и никогаш не прекршив ниедна твоја заповед, а ти никогаш не ми даде ни јаре, за да се повеселам со своите пријатели.
30. А кога дојде овој твој син, кој го сплиска твојот имот со блудници, му закла згоено теле!'
31. Тој пак му рече: 'Чедо, ти си секогаш со мене, и сѐ што е мое - твое е.
32. Но треба да се веселиме и да се радуваме, зашто овој твој брат беше мртов и оживе, беше

загубен и се најде.''

Глава 16

1. А на учениците им зборуваше: 'Беше еден Богат човек кој имаше настојник, кого го наклеветија пред него дека му го растура имотот.
2. И тој го повика и му рече: 'Што слушам за тебе? Дај сметка за твоето управување, зашто веќе не можеш да бидеш настојник!'
3. А настојникот си рече во себеси: 'Што да правам, зашто господарот ќе ми го одземе управувањето? Да копам? Не сум способен! Да питам? Се срамам!
4. Знам што ќе направам за да ме примат во нивните домови, кога ќе бидам отстранет од управувањето.'
5. И ги викна должниците на својот господар - секого одделно. На првиот му рече: 'Колку му должиш на мојот господар?'
6. А тој рече: 'Сто мери масло.' Му рече: 'Земи ја признаницата, седни брзо и напиши - педесет!'
7. Потоа му рече на вториот: 'А ти, колку должиш?' Тој рече: 'Сто мери пченица.' И нему му рече: 'Земи ја признаницата и напиши - осумдесет!'
8. А господарот го пофали несправедливиот настојник, бидејќи постапи итро. Зашто синовите на овој свет се поитри спрема својот род, отколку синовите на светлината.
9. И Јас ви велам: придобијте си пријатели преку неправедно богатство, па кога него ќе го нема да ве пречекаат во вечни живеалишта.
10. Оној што е верен во најмалото - верен е и во многу, а оној што е несправедлив во најмалото, несправедлив е и во многу.
11. Впрочем, ако не сте биле верни во несправедливото богатство, кој ќе ви го довери вистинското?
12. И ако не сте биле верни во туѓото, кој ќе ви го даде она што е наше?
13. Ниеден слуга не може да им служи на два господара, зашто, или едниот ќе го мрази, а другиот ќе го љуби; или ќе се приврзе кон едниот, а другиот ќе го презре. Не можете да Му служите на Бог и на Мамон!'
14. Сето тоа го слушаа фарисеите, кои беа среброљупци и Му се потсмеваа.
15. А Тој им рече: 'Вие се претставувате како праведни пред луѓето, но Бог ги знае вашите срца, зашто она што меѓу луѓето се смета за возвишено, пред Бог е гнасно.'
16. 'Законот и пророците беа до Јован. Оттогаш се проповеда Евангелието за Божјото царство, и секој сосила се пробива да влезе во него.
17. Полесно ќе биде небото и земјата да поминат, отколку да пропадне една цртичка од Законот.
18. Прељуба чини секој оној што ја остава својата жена и се жени со друга. И оној што се жени со оставена врши прељуба.'
19. 'Си беше еден богат човек, кој редовно се облекуваше во пурпур и во ленено платно и се веселеше раскошно секој ден.
20. А еден сиромав, по име Лазар, целиот во чирови, лежеше пред неговата порта
21. и копнееше да го касне она што паѓаше од трпезата на богатиот. Кучињата доаѓаа и му ги лижеа раните.
22. Така сиромавиот умре, и ангелите го однесоа во Авраамовиот скут.
23. Умре и богатиот и го погребаа. А во адот, во маката, тој ги поткрена своите очи и ги виде оддалеку Авраам и Лазар во неговиот скут,
24. и извика: 'Татко, Аврааме, смилувај ми се и испрати го Лазар да го натопи врвот од својот прст во вода, та да ми го разлади јазиков, зашто страшно се измачувам овде во пламенов!'
25. Авраам му рече: 'Синко, сети се дека ти ги прими своите благодати уште додека беше жив, а Лазар лошото! Сега тој овде најде утеха, а ти се измачуваш.
26. Освен тоа, меѓу нас и вас поставена е голема бездна, та и оние што би сакале да преминат оттука кај вас, не можат, а ниту пак вие да преминете оттаму кај нас.'
27. А тој рече: 'Ако е така, те молам, татко, испрати го дома кај татко ми,

28. таму имам петмина браќа, нека им посведочи, за да не се најдат и тие во ова место на маки!'
29. А Авраам рече: 'Ги имаат Мојсеј и пророците, нека ги слушаат нив!'
30. Тој пак му рече: 'Не, татко, Аврааме! Само ако некој од мртвите отиде кај нив, тие ќе се покајат.'
31. Му рече: 'Ако не ги слушаат Мојсеј и пророците, нема да му веруваат ни на оној кој воскреснал од мртвите.''

Глава 17

1. И им рече на Своите ученици: 'Неизбежно е да дојдат соблазни, но тешко на оној преку кого доаѓаат!
2. Подобро ќе биде за него да му обесат воденички камен на вратот и да го фрлат в море, отколку да наведе на грев еден од овие малечкиве.
3. Внимавајте! Ако згреши твојот брат, искарај го и ако се покае прости му.
4. И ако седумпати на ден згреши против тебе и седумпати се обрати кон тебе и рече: 'Се каам!' - прости му!'
5. Апостолите Му рекоа на Господ: 'Зголеми ни ја верата!'
6. А Господ им рече: 'Ако имате вера колку едно синапово зрно - па и речете на црницава: 'Откорни се и пресади се в море', таа ќе ве послуша.
7. Кој од вас, ако има слуга, што му ора или му го чува стадото, ќе му рече кога ќе се врати од поле: 'Дојди бргу и прилегни крај трпезава!'
8. Не ќе му рече ли: 'Приготви ми нешто за вечера и опаши се за да ми служиш додека јадам и пијам, а потоа и ти јади и пиј!'
9. Ќе му заблагодари ли на слугата затоа што ја исполнил заповедта?
10. Така и вие, кога ќе исполните сѐ што ви е заповедано, речете: 'Ние сме бесполезни слуги, зашто го извршивме она што бевме должни да го извршиме.''
11. Кога одеше за Ерусалим, поминуваше низ Самарија и Галилеја.
12. И при влегувањето во едно село, го сретнаа десетмина лепрозни мажи, кои застанаа подалеку
13. и го подигнаа гласот, велејќи: 'Исусе, Господаре, смилувај ни се!'
14. А Тој, кога ги виде, им рече: 'Одете и покажете им се на свештениците!' И додека одеа, се исчистија.
15. А еден од нив, кога виде дека оздравел, се врати гласно прославувајќи Го Бог.
16. Падна ничкум пред Неговите нозе и Му благодареше. А тој беше самарјанин.
17. Тогаш Исус одговори, велејќи: 'Зар не се исчистија десеттемина? Кај се другите деветмина?
18. Не се најде ли уште некој да се врати и да Го прослави Бог, освен овој туѓинец!'
19. Притоа му рече: 'Стани и оди си, твојата вера те исцели!'
20. А кога фарисеите Го прашаа: 'Кога ќе дојде Божјото царство?' Тој им одговори, велејќи: 'Божјото царство не доаѓа тукутака, та да може да се забележи;
21. ниту пак ќе се каже: 'Еве го, тука е, или таму!' - зашто, ете, Божјото царство е во вас.'
22. А на учениците им рече: 'Ќе дојдат денови, кога ќе посакате да видите еден од дните на Синот Човеков, ама не ќе го видите.
23. И ќе ви зборуваат: 'Еве Го тука!' или 'Ене Го онаму!' Не одете таму и не трчајте по нив!'
24. 'Зашто, како што молскавицата кога секнува од едниот крај на небото и болскоти до другиот крај, така ќе биде Синот Човеков во Својот Ден.
25. Меѓутоа, првин Тој треба да настрада многу и да биде отфрлен од ова поколение.
26. И како што беше во деновите на Ное, така ќе биде и во деновите на Синот Човеков:
27. јадеа, пиеја, се женеа и се мажеа сѐ до денот кога Ное влезе во ковчегот; и дојде потопот и ги сотре сите.
28. Исто така, беше во деновите на Лот: јадеа, пиеја, купуваа, продаваа, садеа и ѕидаа;
29. а во денот кога Лот излезе од Содом, падна од небото оган и сулфур па ги сосипе сите.
30. Исто така ќе биде во Денот, кога ќе се јави Синот Човеков.
31. Во тој Ден, кој ќе биде на покривот, а неговата покуќнина во домот, нека не слегува да ја прибере! Исто така оној што ќе се најде в поле, нека не се враќа по оставените работи.
32. Спомнете си за Лотовата жена.
33. Кој сака да си ја спаси душата, ќе ја загуби, а оној што ќе ја загуби, ќе ја спаси.
34. Ви велам, таа ноќ двајца ќе бидат во една постела; едниот ќе биде однесен, а другиот ќе биде оставен.

35. Две жени ќе мелат заедно; едната ќе биде однесена, а другата ќе биде оставена.
36. Двајца ќе бидат на нива; едниот ќе биде однесен, а другиот ќе биде оставен.'
37. Тогаш проговорија и Му рекоа: 'Кај ќе биде тоа, Господи?' А Тој им рече: 'Кај што е трупот,
таму ќе се собираат и мршојадците!'

Глава 18

1. Им кажа споредба за да им покаже како треба секогаш да се молат и да не се обесхрабруваат.
2. И рече: 'Во еден град имаше некој судија кој не се плашеше од Бог, и не се грижеше за луѓето.
3. А во истиот град живееше и една вдовица, која постојано доаѓаше кај него и го молеше: 'Заштити ме од мојот соперник!'
4. Известно време тој не сакаше да ја слуша, а потоа си рече во себеси: 'Иако не се плашам од Бог, ниту луѓето ме засегаат;
5. ќе ја заштитам вдовицава, зашто постојано ми додева'',
6. а Господ рече: 'Чујте, што зборува неправедниот судија!
7. Та нема ли Бог да ги заштити Своите избраници кои Го повикуваат дење и ноќе, и ќе ги остави ли долго да чекаат?
8. Ви велам, брзо ќе ги заштити. Сепак, кога ќе дојде Синот Човеков, ќе најде ли вера на земјата?'
9. А на некои, кои беа уверени во себе дека се праведни, и кои со презир гледаа на другите, им ја кажа следнава споредба:
10. 'Двајца влегоа во Храмот да се помолат: едниот фарисеј, а другиот даночник.
11. Варисејот застана и се молеше во себеси вака: 'Боже! Ти благодарам што не сум како другите луѓе: разбојници, неправедници, прељубници, или како овој даночник.
12. Постам двапати во седмицата и давам десеток од целиот свој приход.'
13. А даночникот стоеше далеку и не сакаше ниту очите да ги поткрене кон небото, туку се удираше в гради и велеше: 'Боже, биди милостив спрема мене грешникот!'
14. Ви велам, овој се врати дома оправдан, а другиот не. Зашто секој кој се возвишува себеси, ќе биде понижен, а кој се понизува себеси, ќе биде возвишен.'
15. Му носеа и мали деца, за да ги допре, а кога учениците го видоа тоа, им забрануваа.
16. Но Исус ги повика и рече: 'Оставете ги децата да доаѓаат кај Мене и не бранете им, зашто на таквите им припаѓа Божјото царство!
17. Вистина ви велам, кој не го прима Божјото царство како дете, тој никако нема да влезе во него.'
18. А еден началник го праша, велејќи: 'Учителе добар, што треба да сторам за да наследам вечен живот?'
19. Исус му рече: 'Зошто Ме нарекуваш добар? Никој не е добар освен Самиот Бог.
20. Ги знаеш заповедите: 'Не врши прељуба, не убивај, не кради, не сведочи лажно и почитувај ги татка си и мајка си!'
21. Тој пак рече: 'Сето тоа сум го запазил уште од мојата младост!'
22. А кога Исус го чу тоа, му рече: 'Уште едно ти недостига: продај сѐ што имаш, и раздај го на сиромасите и ќе имаш богатство на небесата! Потоа, дојди и следи Ме!'
23. Кога го чу тоа, многу се нажали, зашто беше многу богат.
24. А кога Исус го погледна, рече: 'Колку тешко им е да влезат во Божјото царство на оние кои имаат богатство!
25. Полесно и е на камилата да мине низ иглени уши, отколку на богат да влезе во Божјото царство.'
26. А оние кои го чуја тоа, рекоа: 'Тогаш, кој може да се спаси?'
27. Тој пак рече: 'Она што е невозможно за луѓето, можно е за Бог.'
28. А Петар рече: 'Еве, ние оставивме сѐ и тргнавме по Тебе!'
29. Тој им рече: 'Вистина ви велам, нема таков којшто ако заради Божјото царство оставил: куќа, жена, браќа, родители или деца,
30. а да не прими многу повеќе во ова време, а во идниот век и вечен живот.'
31. Потоа ги зеде со Себе дванаесеттемина и им рече: 'Еве, одиме горе во Ерусалим и ќе се

исполни сè што пишувале пророците за Синот Човеков,
32. зашто ќе биде предаден на неверниците, и ќе Му се потсмеваат, и ќе биде измачуван и плукан;
33. и откако ќе биде камшикуван, ќе Го убијат, но Тој ќе воскресне на третиот ден.'
34. Но тие не разбраа ништо од тоа, зашто тој збор беше скриен од нив и не го сфатија кажаното.
35. А кога се приближи до Ерихон, некој слеп човек седеше крај патот и просеше.
36. Кога чу дека поминува народ, праша што е тоа?
37. Му рекоа дека минува Исус од Назарет,
38. а тој извика, велејќи: 'Исусе, Сине Давидов, смилувај ми се!'
39. А оние што одеа напред го прекоруваа да молчи. Но тој викаше уште посилно: 'Исусе, Сине Давидов, смилувај ми се!'
40. Исус застана и заповеда да Му го доведат. И кога се приближи го праша:
41. 'Што сакаш за тебе да сторам?' А тој рече: 'Господи, да прогледам!'
42. Тогаш Исус му рече: 'Прогледај! Твојата вера те исцели.'
43. И тој прогледа веднаш и тргна по Него, славејќи Го Бог. И сите луѓе, кои го видоа тоа, Му оддадоа слава на Бог.

Глава 19

1. И откако влезе во Ерихон, минуваше низ градот.
2. И ете, некој човек, по име Закхеј, кој беше началник на даночниците и беше богат,
3. сакаше да види Кој е Исус, но не можеше од народот зашто беше низок по раст.
4. И истрча напред, се качи на црница за да Го види, зашто требаше да мине покрај неа.
5. И кога Исус дојде на тоа место, погледна нагоре и му рече: 'Закхеј, слези бргу, денес треба да бидам во твојот дом!'
6. И слезе веднаш и Го прими на гости со радост.
7. А сите што го видоа тоа почнаа да негодуваат и да зборуваат: 'Отиде на гости во куќа на грешен човек!'
8. Закхеј стана и Му рече на Господ: 'Еве, Господи, половината од својот имот ќе ја дадам на сиромасите, и ако сум зел од некого нешто неправедливо, ќе вратам четирикратно.'
9. А Исус му рече: 'Денес дојде спасението во овој дом, зашто и тој е син на Авраам.
10. Бидејќи Синот Човеков дојде да го бара и да го спаси загубеното.'
11. И додека тие го слушаа тоа, им кажа една споредба, зашто беа близу до Ерусалим, а тие мислеа дека Божјото царство ќе се појави веднаш.
12. И рече: 'Еден благородник замина во далечна земја за да се зацари и да се врати.
13. Откако ги повика своите десет слуги, им даде десет сребреници и им рече: 'Тргувајте додека се вратам!'
14. Но неговите поданици го мразеа и испратија по него пратеници да кажат: 'Не сакаме тој да царува над нас.'
15. А кога се врати, по примањето на царството, заповеда да му ги повикаат оние слуги на кои им беше дал сребреници, за да види кој колку спечалил.
16. И така, првиот дојде и рече: 'Господаре, твојот сребреник донесе десет сребреници.'
17. И му рече: 'Арно сторено, добар слуго, затоа што беше верен во нешто сосем мало, имај власт над десет градови.'
18. Дојде и вториот и рече: 'Господаре, твојот сребреник донесе пет сребреници.'
19. Му рече и на овој: 'А ти биди над пет градови!'
20. Дојде и друг, и рече: 'Господаре, еве го твојот сребреник, што го чував во шамивче,
21. зашто се плашев од тебе, бидејќи си строг човек: земаш што не си оставил и жнееш што не си посеал!'
22. Му рече: 'Нечесен слуго, ќе ти судам според твоите зборови. Знаеше дека сум строг човек, дека земам што не сум оставил и дека жнеам што не сум посеал.
23. Зошто тогаш не ги вложи моите сребреници кај трговците, а јас по доаѓањето ќе ги земев со интерес?'
24. А на оние, кои беа присутни, им рече: 'Земете му го сребреникот и дајте му го на оној кој има десет!'
25. Тогаш му рекоа: 'Господаре, ама тој има десет!'
26. Ви велам, на оној кој има ќе му се даде уште, а на оној кој нема, ќе му се одземе и тоа што го има.
27. А моите непријатели кои не сакаа да царувам над нив, доведете ги тука и погубете ги пред мене!'
28. Откако го рече тоа продолжи натаму, качувајќи се нагоре кон Ерусалим.
29. А кога се приближи до Бетфага и Бетанија, до гората наречена Маслинова, испрати двајца ученици
30. и им рече: 'Појдете во селоно што е отспротива! И кога ќе влезете во него, ќе најдете врзано магаренце, на кое никој никогаш не јавал. Одврзете го и доведете го.
31. И ако некој ве праша: 'Зошто го одврзавте?' - речете му вака: 'Потребно Му е на Господ.''
32. А испратените отидоа и најдоа како што им рече.
33. Кога го одврзуваа магаренцето, неговите сопственици им рекоа: 'Зошто го одврзувате

магаренцето?'
34. Тие рекоа: 'Потребно Му е на Господ!'
35. И го доведоа магаренцето пред Исус, па ги ставија врз него своите облеки, и Го качија Исус.
36. А кога одеше, ги постилаа своите облеки по патот.
37. Кога веќе наближуваше до стрмнината на Маслиновата Гора, целата врволица ученици почна радосно и гласно да Го прославува Бог за сите моќни дела што ги видоа,
38. велејќи: 'Благословен е Царот Кој доаѓа во Господово име! Мир на небото и слава во височините!'
39. А некои од фарисеите меѓу народот, Му рекоа: 'Учителе, прекори ги Твоите ученици!'
40. Тој одговори: 'Ви велам, ако овие замолчат, камењата ќе извикуваат.'
41. А кога се приближи и го виде градот, заплака за него и
42. рече: 'Е, да знаеш барем во овој ден за оние нешта кои носат мир! Но сега се скриени од твоите очи.
43. Зашто ќе дојдат денови за тебе, кога твоите непријатели ќе те опкружат со ровови, ќе те опколат и ќе те притеснат од сите страни.
44. И ќе те срамнат со земјата тебе, и твоите деца во тебе; и не ќе остане во тебе ни камен на камен, зашто не го препозна времето кога беше посетен!'
45. Потоа влезе во Храмот и почна да ги брка надвор продавачите,
46. велејќи им: 'Напишано е: 'Мојот дом треба да е дом за молитва', а вие го направивте разбојничко дувло.'
47. И поучуваше секој ден во Храмот. А првосвештениците, закониците и народните првенци гледаа како да Го погубат.
48. Но не можеа ништо да сторат, зашто сиот народ Го слушаше секој Негов збор.

Глава 20

1. Еден ден кога го поучуваше народот во Храмот и го проповедаше Евангелието, пристапија првосвештениците и закониците со старешините,
2. и Му рекоа: 'Кажи ни со каква власт го правиш тоа? Или, Кој е тој што Ти ја даде таа власт?'
3. А Тој во одговор им рече: 'И Јас ќе ви поставам едно прашање, па одговорете ми:
4. Јовановото крштавање од небото ли беше или од луѓето?'
5. А тие расправаа меѓу себе, велејќи: 'Ако речеме: 'од небото', ќе ни рече: 'Зошто тогаш не му верувавте?'
6. Ако речеме: 'од луѓето', целиот народ ќе нè каменува, зашто е уверен дека Јован беше пророк',
7. па одговорија дека не знаат од каде е.
8. А Исус им рече: 'Ни Јас нема да ви кажам со каква власт го вршам ова.'
9. И почна да му ја раскажува на народот оваа споредба: 'Еден човек насади лозје и им го даде под наем на лозари, па си замина на подолго време.
10. А кога дојде време испрати свој слуга кај лозарите за да му дадат од плодовите на лозјето. Лозарите го натепаа и го испратија назад со празни раце.
11. И пак испрати друг слуга, а тие го натепаа и него, го посрамија и го испратија со празни раце.
12. Испрати и трет, а тие и него го ранија и го исфрлија.
13. Тогаш господарот на лозјето рече: 'Што да правам? Ќе го испратам својот милен син. Можеби ќе имаат почит спрема него.
14. А кога лозарите го видоа почнаа да се договараат меѓу себе: 'Овој е наследникот! Ајде да го убиеме, за да биде наследството наше!'
15. И го исфрлија надвор од лозејто и го убија. Што ќе им направи сопственикот на лозјето за стореното?
16. Ќе дојде и ќе ги погуби лозарите, а лозјето ќе им го даде на други.' А кога тие го чуја тоа, рекоа: 'Никако!'
17. А Тој ги погледна и рече: 'Тогаш, што значи ова што е напишано: 'Каменот што го отфрлија ѕидарите, стана темелен камен?
18. Секој, кој ќе падне на овој камен, ќе биде разбиен на парчиња, а врз кого ќе падне тој ќе го смачка.'
19. И законициите и првосвештениците гледаа во истиот час да Го фатат, но се плашеа од народот, зашто сфатија дека оваа споредба ја раскажа за нив.
20. И Го дебнеа, па Му испратија душкала кои се преправаа праведни, за да Го фатат за збор и да им го предадат на законот и на власта на управителот.
21. И Го прашаа, велејќи му: 'Учителе, знаеме дека право зборуваш и поучуваш; и не гледаш кој е кој, туку навистина поучуваш за Божјиот пат.
22. Дозволено ли е да му даваме данок на цезарот или не?'
23. Тој го сфати нивното лукавство и рече:
24. 'Покажете ми денариј! Чиј лик и натпис се на него?' Тие рекоа: 'На цезарот!'
25. А Тој им рече: 'Тогаш, дајте му го цезаровото на цезарот, а Божјото на Бог!'
26. И не можеа да Го фатат за збор пред народот, па молкнаа, вчудовидени од Неговиот одговор.
27. Тогаш се приближија некои од садукеите, кои тврдеа дека нема воскресение, и Го прашаа, велејќи:
28. 'Учителе, Мојсеј ни напиша: Ако некому му умре оженет брат, а е без деца, брат му нека ја земе жената и нека му подигне потомство на брата си.
29. Беа седуммина браќа. Првиот се ожени и умре без деца.
30. Тогаш ја зеде вториот,
31. па третиот, и така сите седуммина. И сите умреа и не оставија деца.

32. Најпосле умре и жената.
33. И така: при воскресението, чија жена ќе биде таа, зашто сите седуммина ја имале за жена?'
34. А Исус им одговори: 'Децата на овој век се женат и мажат,
35. а оние кои ќе бидат достојни да го придобијат оној век и воскресението од мртвите, ниту ќе се женат, ниту ќе се мажат.
36. Тие не ќе можат веќе ни да умрат, зашто се како ангелите, и Божји синови се, зашто се синови на воскресението.
37. А дека мртвите ќе станат, тоа и Мојсеј го кажа на местото кај грмушката, каде што Го нарече Господ: 'Бог на Авраам, Бог на Исак и Бог на Јаков.'
38. А Бог не е Бог на мртвите, туку на живите, зашто во Него сите се живи.'
39. А некои од закониците како одговор рекоа: 'Добро рече, Учителе!'
40. И не се осмелија веќе да Го прашаат за ништо друго.
41. Тогаш им рече: 'Зошто велат дека Христос е Давидов Син?
42. Зашто самиот Давид вели во свитокот на псалмите: 'Му рече Господ на мојот Господ: 'Седни од Мојата десна страна,
43. додека не ги соборам Твоите непријатели под нозете Твои!'
44. Значи, Давид Го нарекува Господ. Тогаш како Тој може да Му биде син?'
45. И додека целиот народ Го слушаше, Тој им рече на Своите ученици:
46. 'Чувајте се од закониците, кои сакаат да одат во долги облеки, на кои им се мили поздравите по пазарите, почесните места во синагогите и челните места на гоштавките,
47. кои ги проголтуваат домовите на вдовиците, и се молат долго за да бидат видени. Тие ќе добијат поголема осуда! '

Глава 21

1. А кога ги подигна очите, виде како богатите ги спуштаат своите дарови во ковчегот за прилози.
2. А виде и една бедна вдовица како пушти таму две парички,
3. и рече: 'Вистина ви велам, беднава вдовица пушти повеќе од сите,
4. зашто сите овие приложија од тоа што им е повеќе, а таа во својата немаштија пушти сѐ што имаше за живеачка.'
5. И кога некои зборуваа за Храмот дека е украсен со убави камења и со заветни дарови, Тој им рече:
6. 'Ќе дојдат денови кога од ова што го гледате не ќе остане ни камен на камен кој не ќе биде урнат!'
7. А тие Го прашаа, велејќи Му: 'Учителе, кога ќе биде тоа, и какви ќе бидат знаците кога ќе се случат тие настани?'
8. Тој пак им рече: 'Внимавајте да не ве заведат, зашто мнозина ќе дојдат во Мое име и ќе речат: 'Јас сум' и 'Времето се приближи!' Не одете по нив!
9. Кога ќе чуете за војни и немири, не плашете се, зашто прво треба тоа да настане, но крајот не доаѓа веднаш!'
10. Тогаш им рече: 'Ќе стане народ против народ и царство против царство,
11. ќе има големи земјотреси, а на разни места ќе има глад и помор; ќе има стравотии и големи знаци на небото.
12. Но пред сето тоа, ќе ставаат раце врз вас и ќе ве прогонуваат, ќе ве предаваат на синагогите и в зандани и ќе ве водат пред цареви и управители, заради Моето име.
13. Тоа ќе ви даде можност да сведочите.
14. И така, нека ви е при срце мислата да не се подготвувате однапред како ќе се браните,
15. зашто Јас ќе ви дадам зборови и мудрост, на која не ќе може да и се спротиви и да и противречи никој од вашите противници.
16. А ќе ве предаваат и родителите, и браќата, и роднините и пријателите, и ќе бидат убиени некои од вас,
17. и сите ќе ве мразат заради Моето име.
18. Но вам нема да ви падне ни влакно од главата.
19. Со трпение ќе ги спасите своите души!'
20. 'А кога ќе видите дека Ерусалим е опколен од војски, знајте оти е близу неговото запустување.
21. Тогаш, оние што се во Јудеја нека бегаат во горите, оние што се во градот нека излезат надвор, а оние што се во полето, нека не влегуваат во градот!
22. Зашто тоа се дни на одмазда, за да се исполни сѐ што е напишано!
23. Тешко им на бремените и на доилките во тие дни, зашто ќе има голема невола по земјата и гнев врз овој народ.
24. Ќе паѓаат од сечилото на мечот, и ќе ги одведат во ропство меѓу сите народи; а неевреите ќе го газат Ерусалим додека не се исполнат времињата на неевреите.'
25. 'Ќе има знаци на сонцето, на месечината и на ѕвездите, а на земјата народите ќе бидат опфатени од страв и збунетост од бучавата на морето и на брановите.
26. Луѓето ќе изнемоштуваат од страв и од исчекувањето на она што ќе го снајде светот, зашто небесните сили ќе се разнишаат.
27. И тогаш ќе Го видат Синот Човеков како доаѓа на облак со голема сила и слава.
28. А кога ќе почне да се случува тоа, исправете се и поткренете ги главите, зашто наближува вашето откупување.'
29. Потоа им кажа една споредба: 'Погледнете ја смоквата, а и сите дрвја.
30. Кога ќе видите како разлистуваат, сами знаете дека летото е веќе близу.
31. Така и вие, кога ќе видите дека ова се збиднува, знајте дека Божјото царство е близу!

32. Вистина ви велам дека ова поколение нема да мине, додека сето ова не се збидне.
33. Небото и земјата ќе минат, но Моите зборови нема да поминат.'
34. 'Туку, вардете се, вашите срца да не бидат обременети со ненаситност, со пијанство и со грижи за животот, за да не ви дојде ненадејно тој ден,
35. зашто како стапица ќе дојде за сите што живеат на целата земја.
36. Туку, бдејте и молете се да имате сила да избегнете од сето тоа што ќе настане, и да застанете пред Синот Човеков.'
37. Дење Тој поучуваше во Храмот, а навечер излегуваше и ноќта ја поминуваше на гората наречена Маслинова.
38. А целиот народ рано наутро доаѓаше кај Него во Храмот, за да Го слуша.

Глава 22

1. Наближуваше празникот на Бесквасните лебови, кој се вика Пасха.
2. Првосвештениците и закониците размислуваа како да Го убијат, но се плашеа од народот.
3. Тогаш сатаната влезе во Јуда, наречен Искариот, еден од дванаесеттемина.
4. Тој отиде и се договори со првосвештениците и со заповедниците како да им Го предаде.
5. А тие се зарадуваа и се договорија да му дадат сребреници.
6. Тој се согласи и чекаше згодна можност да им Го предаде, кога ќе биде одвоен од толпата.
7. Дојде денот на Бесквасните лебови, кога требаше да се заколе пасхалното јагне.
8. Тогаш ги испрати Петар и Јован, велејќи им: 'Одете и пригответе ја Пасхата за јадење!'
9. А тие Му рекоа: 'Каj сакаш да ја приготвиме?'
10. Тој им рече: 'Видете, кога ќе влезете во градот, ќе ве сретне човек кој носи стомна со вода; одете по него во куќата во која ќе влезе
11. и речете му на домаќинот: 'Учителот прашува: Кај е гостинската соба, во која ќе ја јаде Пасхата со Своите ученици?'
12. И тој ќе ви покаже голема и наместена горна одаја, таму пригответе!'
13. А тие отидоа и најдоа како што им рече и ја приготвија Пасхата.
14. А кога дојде часот, прилегна Тој крај трпезата и апостолите со Него,
15. па им рече: 'Имав желба да ја јадам оваа Пасха со вас, пред да настрадам,
16. зашто ви велам: нема веќе да ја јадам додека не се исполни во Божјото царство.'
17. И ја крена чашата, се заблагодари и рече: 'Земете ја и поделете ја меѓу себе,
18. зашто ви велам, нема да пијам од лозовиот плод додека не дојде Божјото царство!'
19. Потоа го зеде лебот, се заблагодари, го раскрши и им го раздаде, велејќи: 'Ова е Моето тело кое се дава за вас; правете го ова за спомен на Мене!'
20. Исто така, по вечерата, ја крена и чашата и рече: 'Оваа чаша е Новиот завет во Мојата крв, која се пролева за вас.
21. Но, ете, раката на оној кој Ме предава е со Мене, на трпезава.
22. Зашто Синот Човеков оди, како што е определено, но тешко му на оној човек кој ќе Го предаде!'
23. И почнаа да се расправаат меѓу себе: кој ли ќе е меѓу нив тој што ќе го стори тоа.
24. Настана и расправија меѓу нив за тоа кој е од нив поголем.
25. А Тој им рече: 'Царевите на другите народи владеат над нив, а оние кои господарат над нив, се викаат добротвори.
26. А вие, немојте така! Туку, најголемиот меѓу вас да биде како најмалиот, а водачот како слугата.
27. Зашто, кој е поголем - оној кој прилегнал крај трпезата или оној кој слугува? Зар не е поголем оној кој прилегнал крај трпезата? А Јас сум меѓу вас како слуга.
28. Вие сте оние кои останавте со Мене во Моите искушенија.
29. И Јас ви го определувам Царството, како што Мојот Татко Ми го определи Мене,
30. за да јадете и да пиете на Мојата трпеза, во Моето Царство, и да седите на престоли и да им судите на дванаесетте племиња на Израел.'
31. 'Симоне, Симоне, ете, сатаната побара да ве просее како пченица,
32. но Јас за тебе барав, да не се намали твојата вера. А ти, кога еднаш ќе се обратиш, зацврсти ги своите браќа!'
33. А тој Му одговори: 'Господи, готов сум да одам со Тебе и во зандана и во смрт.'
34. А Тој рече: 'Ти велам, Петре, денес не ќе ни пропее петел, додека трипати не откажеш дека Ме познаваш!'
35. Уште им рече: 'Кога ве пратив без ќесе и без торба и обувки, дали ви недостасуваше нешто?' А тие рекоа: 'Ништо!'
36. И им рече: 'Но сега, кој има ќесе, нека го земе, исто така и торба, а кој нема меч, нека ја продаде својата наметка и нека си купи меч.

37. Зашто ви велам дека треба да се изврши на Мене она што е напишано: 'И Го вброија меѓу беззаконици', зашто она што е пишано за Мене се исполнува.'
38. А тие Му рекоа: 'Господи, еве два меча!' А Тој им рече: 'Доволни се!'
39. Потем излезе и отиде, по навика, на Маслиновата Гора, а учениците одеа по Него.
40. И кога дојде на тоа место, им рече: 'Молете се, за да не паднете во искушение '
41. А Тој се оддели од нив, колку што може да се фрли камен, и клекна на колена па се молеше,
42. велејќи: 'Татко! Ако ти е по волја, тргни ми ја оваа чаша! Но нека не биде по Моја, туку по Твоја волја!'
43. И Му се јави ангел од небото кој Го поткрепуваше.
44. А кога се најде во претсмртни маки, се молеше уште поусрдно, а потта Му прилегаше на капки крв што паѓаа на земјата.
45. И кога стана од молитвата, дојде кај учениците и ги најде заспани од жалба,
46. и им рече: 'Зошто спиете! Станете и молете се, за да не паднете во искушение!'
47. Додека уште зборуваше, дојде толпа што ја предводеше еден од дванаесеттемина кој се викаше Јуда, па Му се приближи на Исус за да Го целива.
48. Но Исус му рече: 'Јуда, со целивка ли Го предаваш Синот Човеков!'
49. А кога оние што беа околу Него видоа што ќе стане, рекоа: 'Господи, да удриме ли со меч?'
50. И еден од нив, го удри слугата на врховниот свештеник та му го скастри десното уво.
51. А Исус одговори, велејќи: 'Престанете!' И се допре до увото та го исцели.
52. Тогаш Исус им рече на оние што се кренаа против Него - на првосвештениците, на началниците на Храмот и на старешините: 'Нагрвaливте небаре сум разбојник со мечови и стапови!
53. Кога бев секој ден со вас во Храмот, не кренавте рака на Мене. Но, ова е ваш час и власт на темнината!'
54. А кога Го фатија, Го одведоа и Го воведоа во домот на врховниот свештеник. Петар одеше по Него, оддалеку.
55. Кога запалија оган сред дворот и испоседнаа наоколу, и Петар седеше меѓу нив.
56. И кога една слугинка го виде како седи до огнот, се загледа во него и рече: 'И овој беше со Него!'
57. Но тој одрече, велејќи: 'Жено, не Го познавам!'
58. Малку подоцна, го виде некој друг и рече: 'И ти си од нив!' А Петар рече: 'Човеку, не сум!'
59. И кога помина уште околу еден час, еден друг тврдеше: 'Навистина, и овој беше со Него, зашто е Галилеец!'
60. А Петар рече: 'Човеку, не знам што зборуваш!' И веднаш - додека уште зборуваше, петел запеа.
61. Тогаш Господ се обѕрна и го погледна Петар, а Петар се сети на Господовите зборови, што му ги рече: 'Пред да пропее петел, трипати ќе се откажеш од Мене!'
62. И Петар, штом излезе надвор, горко заплака.
63. А луѓето, кои го чуваа Исус, Му се подбиваа и Го тепаа.
64. Кога Му Го покрија лицето, Го удираа и Го прашуваа: 'Проречи кој Те удри?'
65. И со многу други зборови Го хулеа.
66. Кога се раздени, се собраа народните старешини, првосвештениците и закониците, и Го воведоа во Советот,
67. и Му рекоа: 'Ако си Ти Христос, кажи ни!' А Тој им рече: 'Ако ви кажам, нема да поверувате.
68. Ако ве прашам, нема да одговорите.
69. Но отсега Синот Човеков ќе седи оддесно на Божјата Сила.'
70. Тогаш сите тие рекоа: 'Значи, Ти си Божјиот Син?' Тој пак им рече: 'Јас сум.'
71. А тие рекоа: 'Какво сведоштво уште ни е потребно. Самите чувме од Неговата уста.'

Глава 23

1. Тогаш сите заедно станаа и Го одведоа кај Пилат.
2. И почнаа да Го обвинуваат, велејќи: 'Го најдовме Овој како го заведува нашиот народ и забранува да се дава данок на цезарот, а за Себе вели дека е Христос, цар.'
3. А Пилат Го запраша, велејќи: 'Ти ли си царот на Евреите?' А Тој како одговор му рече: 'Ти тоа го велиш.'
4. Тогаш Пилат им рече на првосвештениците и на толпата: 'Не наоѓам никаква вина кај овој човек.'
5. Но, тие уште поупорно извикуваа: 'Тој го бунтува народот, зашто поучува по цела Јудеја, почнувајќи од Галилеја па довде.'
6. А кога Пилат го чу тоа, праша дали е Тој Галилеец.
7. И кога разбра дека е под надлежноста на Ирод, Го испрати кај него, кој во тие денови, исто така, беше во Ерусалим.
8. А кога Ирод Го виде Исуса, се зарадува многу, бидејќи одамна имаше желба да Го види, зашто беше чул за Него и се надеваше дека ќе види некое чудо што ќе го направи Тој.
9. И Му поставуваше многу прашања, но Тој ништо не му одговори.
10. А првосвештениците и законициите стоеја и непрестајно Го обвинуваа.
11. Тогаш Ирод, со своите војници, откако покажа презир и Му се изнаруга, Го облече во раскошна облека и Го испрати назад кај Пилат.
12. Во истиот ден Пилат и Ирод се спријателија, зашто порано беа непријатели.
13. А Пилат ги свика првосвештениците, управителите и народот, и им рече:
14. 'Ми Го доведовте овој човек под обвинение дека го бунтува народот, а еве, јас Го испитав пред вас и не најдов во Него никаква вина за која Го обвинувате.
15. А ниту Ирод, зашто Го прати назад кај нас. Овој не сторил ништо што заслужува смрт.
16. Затоа, ќе Го казнам ама потоа ќе Го ослободам.'
17. А требаше за празникот да им ослободи еден затвореник.
18. Но сите тие извикаа едногласно: 'Земи Го Овој, а пушти ни го Бараба!'
19. А тој беше фрлен в зандана, заради некаков бунт во градот и заради убиство.
20. А Пилат им се обрати повторно, сакајќи да Го ослободи Исуса,
21. но тие викаа, повторувајќи: 'Распни Го! Распни Го!'
22. А тој им рече по третпат: 'Та какво зло сторил? Јас не најдов во Него ништо што заслужува смрт. Затоа ќе Го ослободам откако ќе Го казнам.'
23. Но тие навалуваа со голема викотница и бараа да биде распнат, и нивното викање надвладеа.
24. Тогаш Пилат реши да им го исполни барањето.
25. И им го пушти оној, кого го бараа, а кој беше фрлен в зандана заради бунт и убиство, а Исуса им Го предаде на нивна волја.
26. И кога Го поведоа, фатија некојси Симон Киринеец, кој се враќаше од поле, па врз него го ставија крстот, за да го носи по Исуса.
27. По Него одеше долга врволица мажи и жени, кои плачеа и лелекаа за Него.
28. Но Исус им се обѕрна и им рече: 'Ќерки ерусалимски, не плачете за Мене, туку плачете за себеси и за своите деца!
29. Зашто, ете, доаѓаат денови кога ќе се рече: Блажени се неплодните, и утробите што не родиле и градите што не доеле!'
30. Тогаш ќе почнат да им зборуваат на планините: 'Паднете врз нас!' и на ридиштата: 'Покријте нѐ!'
31. Зашто, ако се постапува вака со зеленото дрво, што ќе биде со сувото?
32. А водеа и други двајца разбојници, за да ги погубат заедно со Него.
33. И кога дојдоа на местото наречено Черепница, таму Го распнаа Него, и злосторниците: едниот оддесно, а другиот одлево.

34. А Исус рече: 'Татко, прости им, бидејќи не знаат што прават!' Кога си ја делеа Неговата облека, фрлија жрепка.
35. Народот стоеше и гледаше. А старешините се клештеа, велејќи: 'Тој спаси други! Нека се спаси Самиот Себеси, ако е Тој Христос, Божјиот Избраник!'
36. Му се потсмеваа и војниците, кои Му приоѓаа и Му даваа оцет,
37. велејќи: 'Ако си цар на Евреите спаси се Самиот!'
38. А над Него имаше натпис: 'ОВОЈ Е ЦАРОТ НА ЕВРЕИТЕ.'
39. А еден од разбојниците кој висеше таму Го хулеше: 'Зар не си Ти Христос? Спаси се Себеси и нас!'
40. А другиот одговори и го прекори: 'Зар немаш страв од Бог, кога и ти си исто така осуден.
41. Ние сме праведно осудени, зашто го примаме заслуженото за тоа што го имаме сторено. Но Овој не сторил никакво зло.'
42. И рече: 'Исусе, сети се на мене кога ќе дојдеш во Твоето Царство!'
43. А Тој му рече: 'Вистина ти велам, денес ќе бидеш со Мене во рајот.'
44. А беше веќе околу шестиот час, кога настана темнина по целата земја до деветтиот час,
45. кога сонцето ја загуби својата светлина, а завесата во Храмот се расцепи надве.
46. Тогаш Исус извика со силен глас: 'Татко, Го предавам Својот Дух во Твоите раце.' И откако го рече ова, издивна.
47. А кога стотникот виде што се случи, Го прослави Бога, велејќи: 'Навистина, овој човек беше праведен!'
48. И сета толпа што се беше собрала да го гледа ова, кога виде што стана, се враќаше дома, удирајќи се в гради.
49. А сите Негови познати стоеја подалеку, и жените, кои беа дошле по Него од Галилеја, го гледаа тоа.
50. И ете, некој човек по име Јосиф, кој беше член на Советот, добар и праведен човек,
51. кој не се согласи со нивната одлука и со нивното дело, од јудејскиот град Ариматеја, кој го очекуваше Божјото царство,
52. отиде кај Пилат и го побара Исусовото тело.
53. И кога го симна, го замота во ленено платно и го положи в гроб, издлабен во карпа, во кој уште никој не беше положен.
54. А беше ден на подготовката и настапуваше саботата.
55. А жените кои дојдоа со Него од Галилеја, одеа по него, и го видоа гробот и како беше положено Неговото тело.
56. Потоа се вратија и приготвија мириси и миро, а во саботата си се починуваа, според заповедта.

Глава 24

1. Во првиот ден на седмицата, многу рано, жените дојдоа на гробот, носејќи ги мирисите што ги беа приготвиле.
2. Но го најдоа каменот тргнат од гробот.
3. А кога влегоа, не го најдоа телото на Господ Исус.
4. И додека стоеја збунети заради тоа, ете, пред нив застанаа двајца мажи во светли облеки.
5. Бидејќи беа уплашени, ги наведнаа лицата кон земјата, а тие им рекоа: 'Зошто Го барате Живиот меѓу мртвите?
6. Тој не е тука! Воскресна! Спомнете си како ви зборуваше, додека уште беше во Галилеја,
7. говорејќи: 'дека Синот Човеков треба да биде предаден во рацете на грешниците и дека ќе биде распнат и дека ќе воскресне на третиот ден!'
8. И се сетија на Неговите зборови.
9. И кога се вратија од гробот, им го соопштија сето тоа на единаесеттемина и на сите други.
10. А тие беа: Марија од Магдала, и Јоана, и Марија, мајката на Јаков, и други жени со нив та им го кажаа тоа на апостолите.
11. А ним овие зборови им се чинеа невистина, и не сакаа да им поверуваат.
12. Но Петар стана и отрча до гробот, се наведна и ги виде само лenените завои, и отиде назад, вчудовидени од она што се случило.
13. И ете, во истиот ден, двајца од нив одеа кон едно село наречено Емаус, оддалечено околу десет километри од Ерусалим,
14. и разговараа меѓу себе за сите овие настани.
15. И додека тие разговараа и се прашуваа, Самиот Исус им се приближи и одеше со нив.
16. Но на нивните очи не им беше дадено да Го препознаат.
17. И им рече: 'Какви се тие зборови што ги разменувате меѓу себе одејќи по пат?' А тие застанаа гледајќи нажалено.
18. Едниот од нив, по име Клеопа, Му одговори и рече: 'Дали си Ти единствениот туѓинец во Ерусалим, Кој не знае, што се случи во него овие дни?'
19. И им рече: 'Што?' А тие Му рекоа: 'Она што стана со Исус Назареќанецот, Кој беше пророк, силен на дело и на збор, пред Бог и пред целиот народ,
20. и како нашите првосвештеници и старешини Го предадоа да биде осуден на смрт и Го распнаа.
21. А ние се надевавме дека Тој е Оној што ќе го избави Израел. И покрај сето тоа, веќе е трет ден откако стана ова.
22. А нè збунија и некои од нашите жени, кои беа отишле многу рано на гробот,
23. и не го нашле Неговото тело. Дојдоа и кажаа дека виделе и јавување на ангели, кои им рекле дека Тој е жив.
24. Некои од нашите отидоа до гробот и го нашле точно како што рекоа жените, но Него не Го виделе.'
25. Тој им рече: 'О неразумни и бавни во сфаќањето на сето она што го рекоа пророците!
26. Не требаше ли Христос да го претрпи тоа, и да влезе во Својата Слава?'
27. Та кога почна од Мојсеј и од сите пророци, им објасни што е пишано за Него во Писмото.
28. Кога се приближија до селото во кое одеа, Тој се направи небаре сака да продолжи понатаму.
29. Но тие Го задржуваа, велејќи: 'Остани со нас, зашто ноќта наближува, а денот веќе превали!' И Тој влезе за да остане со нив.
30. И додека беше прилегнат со нив крај трпезата, зеде леб, благослови, го раскрши и им го даде.
31. Тогаш им се отворија очите и Го препознаа, но Тој стана невидлив за нив.
32. И си рекоа еден на друг: 'Не гореа ли нашите срца во нас, кога ни зборуваше по пат и ни ги толкуваше Писмата?'

33. И во истиот час станаа и се вратија во Ерусалим, каде ги најдоа собрани единаесеттемина, и оние кои беа со нив,
34. кои зборуваа: 'Господ навистина воскреснал и му се јавил на Симон!'
35. А тие, пак, раскажаа што им се случи по пат и како Го препознаа при раскршувањето на лебот.
36. И додека тие уште зборуваа за тоа, Самиот Исус застана сред нив и им рече: 'Мир вам!'
37. А тие збунети и уплашени мислеа дека гледаат дух.
38. А Тој им рече: 'Зошто сте збунети? И зошто се јавуваат сомнежи во вашите срца?
39. Погледнете ги Моите раце и Моите нозе - Јас сум ! Допрете Ме и видете, зашто дух нема месо и коски, а како што гледате, Јас имам.'
40. И кога го рече тоа, им ги покажа рацете и стапалата.
41. А бидејќи тие од радост уште не веруваа, туку се чудеа, им рече: 'Имате ли тука нешто за јадење?'
42. И Му дадоа парче печена риба.
43. Тој го зеде и јадеше пред нив.
44. И им рече: 'Тоа се зборовите што ви ги зборував додека уште бев со вас, дека треба да се исполни сѐ што е напишано за Мене во Мојсеевиот Закон, во Пророците и во Псалмите.'
45. Тогаш им го отвори умот, за да ги разберат Писмата,
46. и им рече: 'Напишано е дека Христос треба да настрада и да воскресне од мртвите на третиот ден,
47. и да биде навестувано во Негово име покајание и прошка на гревовите на сите народи, почнувајќи од Ерусалим.
48. Вие сте сведоци на тоа,
49. а еве, Јас ви го праќам ветувањето на Мојот Татко, а вие останете во градот, додека не се облечете во сила озгора!'
50. Потоа ги изведе до Бетанија, ги поткрена Своите раце и ги благослови.
51. И додека ги благословуваше, се оддели од нив.
52. А тие се вратија во Ерусалим со голема радост,
53. и беа постојано во Храмот благословувајќи Го Бог.

Јован

Глава 1

1. Во почетокот беше Словото, и Словото беше со Бог, и Словото беше Бог.
2. Тоа беше во почетокот со Бог.
3. Сѐ стана преку Него, и без Него не стана ништо од она што настана.
4. Во Него имаше живот и животот им беше светлина на луѓето.
5. А светлината свети во темнина, и темнината не ја опфати.
6. Се јави човек, испратен од Бог, по име Јован.
7. Тој дојде за сведоштво, да сведочи за Светлината, та сите да поверуваат преку него.
8. Тој не беше Светлината, туку дојде да сведочи за Светлината.
9. Вистинската светлина, Која го осветлува секој човек, доаѓаше на свет.
10. Тој беше во светот, и светот стана преку Него, но светот не Го позна.
11. Дојде кај Своите, но Своите не Го примија.
12. А на сите што Го примија, им даде право да станат Божји деца - на оние кои веруваат во Неговото име,
13. кои не се родија ниту од крв, ни од телесна похота, ниту од волја на маж, туку од Бог.
14. И Словото стана тело кое се всели меѓу нас и ја видовме Неговата слава, славата што ја има како единствен од Таткото - полн со благодат и вистина.
15. Јован сведочеше за Него и извика, велејќи: 'Еве Го Оној за Кого реков: Оној Кој доаѓа по мене, поголем е од мене, зашто постоеше пред мене!'
16. И сите ние примивме од Неговата полнота благодат врз благодат.
17. Зашто, Законот беше даден преку Мојсеј, а преку Исус Христос дојдоа благодатта и вистината.
18. Бог никој никогаш не Го видел; Единородниот Бог - Кој е во прегратката на Таткото, Тој Го објави.'
19. А ова е Јовановото сведоштво, кога Евреите од Ерусалим му испратија свештеници и левити, за да го прашаат: 'Кој си ти?'
20. И тој призна и не одрече, туку изјави: 'Јас не сум Христос.'
21. А тие го прашаа: 'Кој си тогаш! Илија ли си?' 'Не сум,' одговори тој. 'Да не си Пророкот?' 'Не,' одговори.
22. Тогаш му рекоа: 'Кој си?- за да можеме да им одговориме на оние што нѐ испратија! Што велиш ти за себеси?'
23. Тој рече: 'Јас сум глас на оној кој вика во пустината: 'исправете го Господовиот пат', како што рече пророкот Исаија.'
24. Испратените беа од фарисеите.
25. Тие го прашаа и му рекоа: 'Тогаш зошто крштаваш, кога не си Христос, ниту Илија, ни Пророкот?'
26. 'Јас крштавам со вода' - им одговори Јован - 'но меѓу вас стои еден, Кого вие не Го познавате.
27. Тој е Оној Кој доаѓа по мене, на Кого јас не сум достоен да му ги одврзам ремените на Неговите сандали.'
28. Тоа се случи во Бетанија, од онаа страна на Јордан, каде што Јован крштаваше.
29. Утредента, Јован Го виде Исус како доаѓа кон него и рече: 'Еве Го Божјото Јагне, Кое го отстранува гревот на светот!
30. Овој е Оној за Кого ви реков: 'По мене доаѓа Човек, Кој постоеше пред мене, зашто беше пред мене.'
31. Јас не Го препознав, но за да му Го објавам на Израел, дојдов да крштавам со вода.'
32. Јован сведочеше, говорејќи: 'Го видов Духот како слегува од небото како гулаб, и остана над Него.
33. Јас не Го препознав, но Оној Кој ме испрати да крштавам со вода, ми рече: 'Врз Кого ќе видиш како слегува Духот и останува над Него, Тој е Оној Кој ќе крштава со Светиот Дух.'

34. Јас видов и сведочам дека Овој е Божјиот Син.'
35. Следниот ден, Јован повторно стоеше со двајца свои ученици,
36. и штом Го виде Исуса како поминува, рече: 'Еве Го Божјото Јагне!'
37. Кога ги чуја од него тие зборови, обајцата ученици тргнаа по Исуса.
38. Исус се заврте и кога виде дека одат по Него, ги праша: 'Што барате?' Тие Му одговорија: 'Раби (што значи учител) каде живееш?'
39. 'Дојдете и видете!' им рече. И така, отидоа и видоа каде живее, и останаа со Него оној ден, зашто беше околу десеттиот час.
40. Еден од двајцата кои тргнаа по Исус, откако ги чуја Јовановите зборови, беше Андреј, братот на Симон Петар.
41. Тој го најде првин својот брат Симон и му рече: 'Го најдовме Месијата (што значи Христос).'
42. И го доведе кај Исус. А Исус, гледајќи го, му рече: 'Ти си Симон, синот на Јован; ти ќе се наречеш Кифа (што значи камен).'
43. Следниот ден Исус науми да отиде во Галилеја, па го најде Вилип и му рече: 'Следи Ме!'
44. Вилип беше од Бетсаида, од градот на Петар и Андреј.
45. Вилип го најде Натанаил и му рече: 'Го најдовме Оној за Кого пишуваа Мојсеј во Законот и пророците, Исус, синот на Јосиф од Назарет.'
46. 'Може ли да излезе нешто добро од Назарет?', му рече Натанаил. 'Дојди и види', му одговори Вилип.
47. Исус виде како Му се приближува Натанаил, и рече за него:'Еве, вистински Израелец, во кого нема лукавство.'
48. 'Од каде ме познаваш?', го праша Натанаил. Исус му одговори: 'Уште пред да те повика Вилип те видов кога беше под смоквата.'
49. 'Раби! - му одговори Натанаил - Ти си Божјиот Син! Ти си Царот на Израел!'
50. Исус во одговор му рече: 'Дали веруваш поради тоа што ти реков дека те видов под смоквата? Ќе видиш и поголеми нешта од тоа!'
51. И рече: 'Вистина, вистина ви велам: отсега ќе ги гледате небесата отворени и Божјите ангели како се искачуваат и слегуваат по Синот Човеков.'

Глава 2

1. А на третиот ден имаше свадба во галилејскиот град Кана, и Исусовата мајка беше таму.
2. На свадбата ги поканија и Исус и Неговите ученици.
3. И кога снема вино, мајка Му му рече на Исус: 'Немаат вино.'
4. Исус и рече: 'Што имам Јас со тебе, жено? Уште не дошол Мојот час.'
5. Тогаш мајка му им рече на прислужниците: 'Сè што ќе ви рече, направете.'
6. Таму имаше шест камени садови, според јудејскиот пропис за миење, што собираа по две до три мери.
7. Исус им рече: 'Наполнете ги садовите со вода!' И ги наполнија со рам.
8. Тогаш им рече: 'Сега нацрпете и однесете му на старосватот! ' И му однесоа.
9. Кога старосватот обиде од водата претворена во вино, а не знаеше од каде е (но знаеја прислужниците, кои црпеа од водата), го повика младоженецот
10. и му рече: 'Секој човек најпрвин го изнесува доброто вино, а кога ќе се поднапијат - полошото. Ти досега си го чувал доброто вино.'
11. Ова го направи Исус во галилејскиот град Кана како почеток на чудата и ја објави Својата слава; и Неговите ученици поверуваа во Него.
12. Потоа слезе во Капернаум, Тој и мајка Му, Неговите браќа, и Неговите ученици, и останаа таму неколку дена.
13. Наближуваше јудејската Пасха кога Исус се искачи во Ерусалим.
14. И во Храмот ги најде како седат таму продавачите на волови, овци, гулаби и менувачите на пари.
15. Направи камшик од јажиња и ги истера сите од Храмот, заедно со овците и воловите. На менувачите им ги истури парите и им ги преврте масите.
16. А на оние што продаваа гулаби, им рече: 'Ова изнесете го одовде! Не правете трговски дуќан од Домот на Мојот Татко!'
17. Неговите ученици се сетија дека е напишано: 'Ќе Ме изеде ревноста за Твојот Дом .'
18. Тогаш Евреите Го прашаа: 'Со каков знак ни докажуваш дека смееш да го правиш ова?'
19. А Исус им одговори, велејќи: 'Разурнете го овој Храм, и ќе го подигнам за три дни!'
20. Тогаш Евреите рекоа: 'Храмов е граден четириесет и шест години, а Ти за три дни ли ќе го подигнеш?'
21. Ама Тој зборуваше за Храмот на Своето тело.
22. Кога беше воскреснат, пак, од мртвите, Неговите ученици се сетија дека го рече тоа, па им поверуваа на Писмото и на словото што Исус им го рече.
23. А кога беше во Ерусалим, на празникот Пасха, мнозина поверуваа во Неговото име, гледајќи ги чудата што ги правеше.
24. Но Самиот Исус не им се довеҏуваше, зашто сите ги познаваше,
25. и немаше нужда некој да Му сведочи за човекот, зашто Самиот знаеше што има во човекот.

Глава 3

1. А меѓу фарисеите имаше еден човек, по име Никодим, еврејски управител.
2. Тој дојде ноќе кај Исус и Му рече: 'Раби! Знаеме дека Ти си Учител дојден од Бог; зашто никој не може да ги прави чудотворните знаци, што ги правиш Ти, ако Бог не е со него.'
3. Исус му одговори, велејќи: 'Вистина, вистина, ти велам, ако некој не се роди озгора, тој не може да го види Божјото царство.'
4. Никодим Му рече: 'Како може да се роди човек, кога е стар? Зар може по вторпат да влезе во утробата на мајка си и да се роди?'
5. Исус му одговори: 'Вистина, вистина, ти велам: ако некој не се роди од вода и од Дух, тој не може да влезе во Божјото царство.
6. Роденото од тело, тело е, а роденото од Дух, дух е.
7. Не чуди се што ти реков: треба да се родите озгора.
8. Ветрот дува каде што сака. Го слушаш неговиот шум, а не знаеш од каде доаѓа и каде оди. Така е со секој што е роден од Дух.'
9. Никодим Му одговори, велејќи: 'Како може да биде тоа?'
10. Исус му одговори и рече: 'Ти си учител на Израел, и не го знаеш тоа?
11. Вистина, вистина, ти велам: ние зборуваме за она што го знаеме и сведочиме за она што сме го виделе, а вие сепак не го примате нашето сведоштво.
12. Кога ви зборував за земни работи вие не верувате, а како ќе верувате ако ви зборувам за небесните?
13. И никој не отишол на небо, освен Оној Кој слезе од небото, Синот Човеков.'
14. И како што Мојсеј ја подигна змијата во пустината, така треба да биде издигнат Синот Човеков,
15. та секој кој верува во Него да има вечен живот.
16. Зашто Бог толку го засака светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој кој верува во Него да не загине, туку да има вечен живот.
17. Зашто Бог не Го испрати Својот Син во светот за да му суди на светот, туку светот да биде спасен преку Него.
18. Кој верува во Него, нему не му се суди, а кој не верува веќе е осуден, зашто не поверувал во името на Единородниот Божји Син.
19. А судот се состои во ова: Светлината дојде во светот, а луѓето ја засакаа темнината повеќе од светлината, бидејќи делата им беа зли.
20. Зашто, секој кој прави зло ја мрази светлината и не оди кон светлината за да не бидат откриени неговите дела;
21. а кој ја извршува вистината, оди кон светлината, за да се видат неговите дела, бидејќи се извршени во Бога.
22. Потоа дојде Исус со Своите ученици во Јудеја; таму се задржа со нив и крштаваше.
23. И Јован исто така крштаваше во Енон, близу до Салим, бидејќи таму имаше многу вода, и луѓето доаѓаа и беа крштавани;
24. зашто Јован уште не беше фрлен во зандана.
25. Тогаш таму настана препирка околу исчистувањето, меѓу Јовановите ученици и еден Евреин.
26. И тие дојдоа кај Јован и му рекоа: 'Раби, ете, Оној Кој беше со тебе од другана страна на Јордан, за Кого ти сведочеше, Тој крштава и сите одат кај Него.'
27. Јован одговори, велејќи му: 'Не може човек ништо да прими, ако не му е дадено од небото.
28. Вие сами сте мои сведоци дека реков: 'Јас не сум Христос, туку сум испратен пред Него.'
29. Оној кој има невеста, тој е младоженец. А пријателот на младоженецот, кој стои и го слуша, многу се радува штом ќе го чуе гласот на младоженецот. И така, оваа моја радост се исполни.
30. Тој треба да расте, а јас да се смалувам!'

31. Кој доаѓа озгора, Тој е над сите; оној кој е од земјата, тој е земен и зборува земно. Кој доаѓа од небото, Тој е над сите.
32. Тој сведочи за она што го видел и чул, но никој не го прима Неговото сведоштво.
33. Кој го примил Неговото сведоштво, потврдува дека Бог е вистинит.
34. Зашто Оној Кого Бог Го испратил говори Божји зборови, бидејќи Бог не Го дава Духот со мера.
35. Таткото Го љуби Синот и предаде сè во Неговата рака.
36. Кој верува во Синот, има вечен живот, а кој не верува во Синот, нема да види живот, туку Божјиот гнев останува врз него.'

Глава 4

1. Кога Исус дозна дека фарисеите чуле оти Тој придобива и крштава повеќе ученици од Јован
2. (иако самиот Исус не крштаваше, туку Неговите ученици),
3. ја напушти Јудеја и се врати пак во Галилеја.
4. Требаше да помине преку Самарија.
5. И така дојде во самарискиот град, наречен Сихар, во близина на земјиштето што Јаков му го даде на својот син Јосиф.
6. Таму беше Јакововиот кладенец. Исус, изморен од патот, седеше така крај кладенецот, а беше околу шестиот час.
7. Дојде една жена од Самарија, за да нацрпи вода. Исус и рече: 'Дај да се напијам!',
8. а Неговите ученици беа отишле во градот да купат храна.
9. Самарјанката Му рече: 'Како, Ти, Евреин, бараш од мене, самарјанка, да пиеш?' (Имено, Евреите не општеа со самарјаните.)
10. Исус и одговори, велејќи: 'Ако знаеш за Божјиот дар и Кој е Оној што ти вели: 'Дај да се напијам,' ти ќе побараш од Него и Тој ќе ти даде жива вода.'
11. Жената Му одговори: 'Нема со што да нацрпиш, господине, а кладенецов е длабок! Тогаш, од каде имаш жива вода?
12. Зар си Ти поголем од нашиот татко Јаков, кој ни го даде кладенецов? Тој самиот пиеше од него, и неговите синови, и неговиот добиток!'
13. Исус во одговор и рече: 'Секој кој пие од оваа вода, пак ќе биде жеден.
14. А кој пие од водата што Јас ќе му ја дадам, нема да биде жеден довека, туку водата што ќе му ја дадам ќе стане во него извор на вода која извира во вечен живот.'
15. Жената Му рече: 'Господине, дај ми од таа вода за да не ожеднувам и да не доаѓам овде да црпам!'
16. Тој и рече: 'Оди! Викни го маж ти и врати се овде!'
17. Жената му одговори, велејќи: 'Јас немам маж.' Исус и рече: 'Право си кажа дека немаш маж;
18. зашто си имала петмина мажи и тој што го имаш сега, не ти е маж; вистината ја зборуваш.'
19. Жената Му рече: 'Господине, гледам дека си пророк.
20. Нашите татковци одеа на поклонение на оваа гора, а вие велите дека Ерусалим е местото за поклонение.'
21. Исус и рече: 'Верувај Ми, жено, доаѓа часот кога не ќе Му се поклонувате на Таткото ниту на оваа гора, ниту во Ерусалим.
22. Вие му се поклонувате на она што не го знаете; ние му се поклонуваме на она што го знаеме, зашто спасението доаѓа од Евреите.
23. Но доаѓа часот, и веќе настапи, кога вистинските поклоници ќе Му се поклонуваат на Таткото во дух и вистина, зашто Таткото сака такви поклоници.
24. Бог е Дух, и оние кои Му се поклонуваат, треба да Му се поклонуваат во дух и вистина.'
25. Жената Му одговори: 'Знам дека ќе дојде Месија (наречен Христос). Кога Тој ќе дојде, сè ќе ни објави.'
26. Исус и рече: 'Јас Сум Тој, Кој зборува со тебе.'
27. Тогаш дојдоа Неговите ученици и се чудеа дека разговара со жена, но ниеден не рече: 'Што сакаш?' или: 'Зошто разговараш со неа?'
28. Тогаш жената ја остави својата стомна и отиде во градот, па им рече на луѓето:
29. 'Дојдете да видите еден човек, Кој ми кажа сè што сум сторила! Не е ли Тој Христос?'
30. Тие излегоа од градот и тргнаа кон Него.
31. Во меѓувреме учениците Го молеа Исус: 'Раби, јади!'
32. Но Тој им рече: 'Јас имам храна за јадење која вие не ја знаете.'
33. Тогаш учениците се прашуваа меѓу себе: 'Да не му донесол некој јадење?'
34. Исус им рече: 'Мојата храна е исполнувањето на волјата на Оној Кој ме прати и да го

завршам Неговото дело.
35. Зар вие не велите: 'уште четири месеци и жетвата ќе дојде!' Еве, ви велам: поткренете ги очите и видете ги полињата како побелеле за жетва!
36. Жетварот веќе си добива за својот труд и собира плод за вечен живот, за да се радуваат заедно и сејачот и жетварот.
37. Зашто за ова важи изреката: 'Еден сее, а друг жнее!'
38. Јас ве испратив да жнеете каде што не се трудевте. Други се трудеа, а вие влеговте во нивниот труд.'
39. И мнозина самарјани од градот поверуваа во Него заради зборовите на жената, која сведочеше: 'Тој ми кажа сѐ што сум сторила.'
40. Па кога самарјаните дојдоа кај Него, Го замолија да остане кај нив; и остана таму два дена.
41. И многу други од нив поверуваа поради Неговото слово,
42. а на жената и велеа: 'Сега не веруваме поради твоето кажување, зашто самите чувме и знаеме дека Овој е навистина Спасителот на светот.'
43. По двата дена тргна оттаму за Галилеја,
44. зашто Самиот Исус изјави дека пророкот нема чест во својот роден крај.
45. И така, кога дојде во Галилеја, галилејците Го примија, зашто беа виделе сѐ што стори во Ерусалим на празникот, бидејќи и самите беа таму на празникот.
46. И пак дојде во галилејскиот град Кана, каде што ја претвори водата во вино. Имаше еден царски чиновник, чијшто син беше болен во Капернаум.
47. Тој, штом чу дека Исус дошол од Јудеја во Галилеја, отиде кај Него и Го замоли да слезе и да му го исцели синот, зашто беше на умирање.
48. Тогаш Исус му рече: 'Ако не видите чудотворни знаци и чуда, нема да поверувате.'
49. Царскиот чиновник Му рече: 'Господине, слези пред да ми умре детето!'
50. Исус му рече: 'Оди си, твојот син е жив!' Човекот поверува на зборот што му го кажа Исус и си замина.
51. И додека уште слегуваше, неговите слуги го пречекаа и му соопштија дека син му е жив.
52. А тој ги праша за часот во кој му станало подобро. Тие му одговорија: 'Вчера, во седмиот час, го напушти треската.'
53. Тогаш таткото сфати дека тоа се случило во часот кога Исус му рече: 'Твојот син е жив!' И поверува тој и целиот негов дом.
54. Ова, пак, е вториот чудотворен знак што го направи Исус, кога дојде од Јудеја во Галилеја.

Глава 5

1. Потоа беше јудејски празник и Исус се искачи во Ерусалим.
2. А во Ерусалим, кај Овчата Порта, има бања со пет тремови, на еврејски наречена Бетезда.
3. Под нив лежеа мнозина болни, слепи, сакати и исушени кои чекаа да се сподвижи водата,
4. зашто Господов ангел, одвреме навреме слегуваше во бањата и ја сподвижуваше водата, а оној кој прв ќе влезеше, откако ќе се разбрануваше водата, оздравуваше од каква - годе болест да страдаше.
5. Таму имаше еден човек кој лежеше болен триесет и осум години.
6. Кога Исус го виде како лежи, а знаејќи дека веќе долго боледува, му рече: 'Сакаш ли да оздравееш?'
7. Болниот Му одговори: 'Господине, немам човек да ме спушти во бањата кога ќе се разбранува водата, а додека јас втасам, друг слегува пред мене.'
8. Исус му рече: 'Стани, земи си ја рогозината и оди си!'
9. И човекот оздраве веднаш, ја зеде својата рогозина и почна да оди. Тој ден беше саботен.
10. Затоа Евреите му рекоа на исцелениот човек: 'Саботен ден е и не смееш да ја носиш рогозината.'
11. Но тој им одговори: 'Оној Кој ме исцели, ми рече: 'Земи си ја рогозината и оди си!''
12. Тогаш го прашаа: 'Кој е човекот што ти рече: 'Земи си ја рогозината и оди си?''
13. А исцелениот не знаеше Кој е, зашто Исус си замина уште додека имаше многу народ на тоа место.
14. Потоа Исус го најде во Храмот и му рече: 'Еве, сега си здрав и не греши повеќе, за да не те снајде нешто полошо.'
15. Човекот замина и им кажа на Евреите дека Исус го исцели.
16. Затоа Евреите Го прогонуваа Исуса, бидејќи овие работи ги правеше во саботен ден.
17. А Тој им одговори: 'Мојот Татко досега работи, па и Јас работам.'
18. Затоа Евреите уште повеќе сакаа да Го убијат, не само затоа што го нарушуваше саботниот ден, туку и затоа што Бог Го нарекуваше Свој Татко, изедначувајќи се со Бог.
19. А Исус, пак, во одговор им рече: 'Вистина, вистина, ви велам, Синот не може ништо да прави Сам од Себе, ако не гледа што прави Таткото, зашто она што го прави Таткото го прави и Синот.
20. Таткото Го љуби Синот и Му покажува сѐ што прави Самиот и ќе Му покаже дела уште поголеми од овие, за да се чудите.
21. Зашто, како што Таткото воскреснува мртви и ги оживува, така и Синот ги оживува оние кои сака.
22. Таткото не суди никого, туку целиот суд Му го отстапи на Синот,
23. за да Го почитуваат сите Синот, така како што Го почитуваат Таткото. Оној што не Го почитува Синот - не Го почитува ни Таткото, Кој Го прати.
24. Вистина, вистина, ви велам: кој го слуша Моето слово и верува во Оној Кој Ме прати, има вечен живот и не доаѓа на суд, туку премина од смрт во живот.
25. Вистина, вистина, ви велам доаѓа часот - и веќе настапи - кога мртвите ќе го чујат гласот на Божјиот Син, и оние што ќе го чујат, ќе живеат.
26. Зашто, како што Таткото има живот во Себе, така Му даде и на Синот да има живот во Себе.
27. Му даде и власт да суди, зашто е Син Човеков.
28. Не чудете се на тоа, зашто доаѓа часот во кој сите што се во гробовите ќе го чујат Неговиот глас
29. и ќе излезат од нив оние што правеле добро, ќе воскреснат за живот, а оние што правеле зло, ќе воскреснат за осудување.
30. Јас ништо не можам да правам Сам од Себе. Како што слушам - така судам, и Мојот суд е праведен, зашто не ја барам Мојата волја, туку волјата на Оној Кој Ме прати.

31. Ако Јас сведочам Сам за Себе, Моето сведоштво не е вистинито.
32. Има друг Кој сведочи за Мене и знам дека е вистинито сведоштвото што го дава за Мене.
33. Вие пративте кај Јован, и тој посведочи за вистината,
34. но јас не примам сведоштво од човек, туку ви ги кажувам овие работи, за да бидете вие спасени.
35. Тој беше светило, што гореше и светеше, но вие сакавте за кратко да и се порадувате на неговата светлина.
36. Јас пак имам сведоштво поголемо од Јовановото: делата што Таткото ми ги даде да ги завршам, токму тие дела што ги правам сведочат за Мене - дека Таткото Ме прати.
37. И Таткото, Кој Ме прати, Самиот сведочи за Мене. Вие ниту го чувте некогаш Неговиот глас, ниту го видовте Неговиот лик
38. и Неговите зборови не останувaат во вас, зашто не Му верувате на Оној Кого Тој Го прати.
39. Вие ги проучувате Писмата, зашто сметате дека имате вечен живот во нив: и тие сведочат за Мене.
40. Но вие не сакате да дојдете кај Мене, за да имате живот.
41. Слава не примам од луѓе,
42. впрочем, Јас знам дека вие немате во себеси Божја љубов.
43. Јас дојдов во името на Мојот Татко, и не Ме примате. Ако дојде друг во свое име, него ќе го примите.
44. Како можете да верувате, кога примате слава еден од друг, а не ја барате славата што доаѓа од единствениот Бог?
45. Немојте да мислите дека Јас ќе ве обвинам пред Таткото; има еден кој ве обвинува, Мојсеј, на кого се надевате.
46. Зашто, ако му верувавте на Мојсеј, ќе Ми верувавте и Мене; зашто тој пишуваше за Мене.
47. Но ако не им верувате на неговите Писма, како ќе им верувате на Моите зборови?'

Глава 6

1. Потоа Исус отиде на другата страна од Галилејското Море (наречено Тибериско).
2. Многу народ одеше по Него, зашто ги гледаше чудотворните знаци, што ги правеше над болните.
3. Исус се искачи на горатa и седеше таму со Своите ученици.
4. А наближуваше јудејскиот празник Пасха.
5. Тогаш Исус ги подигна очите и виде дека многу народ доаѓа кон Него, па му рече на Вилип: 'Каде да купиме леб, за да се нахранат овие?'
6. Тоа го рече само за да го испита, зашто Самиот знаеше што ќе стори.
7. Вилип Му одговори: 'Нема да им втаса леб за двесте денарии, туку секој од нив нека добие по малку.'
8. Еден од Неговите ученици, Андреј, братот на Симон Петар, Му рече:
9. 'Тука има едно момче, кое има пет јачменови лебови и две риби, ама што е тоа за толку народ?'
10. А Исус рече: 'Нека испоседнат луѓето! 'Имено, имаше многу трева на местото, па луѓето испоседнаа, на број околу пет илјади.
11. Тогаш, Исус ги зеде лебовите, и откако заблагодари им ги раздаде на учениците, а учениците на оние што испоседнаа; исто така и од рибите, колку што сакаа.
12. Кога се наситија, им рече на Своите ученици: 'Соберете ги останатите парчиња, за да не пропадне ништо!'
13. И така, ги собраа и наполнија дванаесет кошници со парчињата од петте јачменови лебови, што им останаа на оние кои јадеа.
14. Луѓето, кога го видоа чудотворниот знак што го направи, рекоа: 'Овој е навистина Пророкот Кој требаше да дојде на светот.'
15. Исус, штом разбра дека сакаат да дојдат и да го одвлечат насила, за да Го направат цар, пак се повлече наполно Сам во горатa.
16. Кога се смрачи, Неговите ученици слегоа до морето,
17. влегоа во кораб и тргнаа преку морето кон Капернаум. Веќе се стемни, а Исус уште не беше дојден кај нив.
18. А морето почна да се бранува, зашто дуваше силен ветар.
19. Откако одвеслаа околу дваесет и пет или триесет стадии, Го видоа Исус како оди по морето и се приближува кон коработ, па се исплашија.
20. Но Тој им рече: 'Јас Сум, не плашете се!'
21. Тие сакаа да Го примат во коработ, а коработ веднаш се најде на брегот, кон кој одеа.
22. Утредента, народот, што стоеше од другата страна на морето, виде дека таму нема друг кораб, освен еден и дека Исус не влезе во него со Своите ученици, туку дека Неговите ученици отпловија сами.
23. Од Тиберија пристигнаа други кораби, близу до местото каде што беа јале леб, откако Господ заблагодари.
24. И кога луѓето видоа дека таму ги нема ни Исус ниту Неговите ученици, влегоа во корабите и пристигнаа во Капернаум, за да Го бараат Исуса.
25. Кога Го најдоа на спротивната страна од морето, Му рекоа: 'Раби, кога дојде тука?'
26. Исус им одговори, велејќи: 'Вистина, вистина, ви велам, Ме барате не затоа што видовте чудотворни знаци, туку затоа што јадевте од лебовите и се наситивте.
27. Работете не за храна што се расипува, туку за храна што останува за вечен живот, која ќе ви ја даде Синот Човеков, зашто Таткото Бог стави печат врз Него!'
28. Тогаш Му рекоа: 'Што да правиме, за да ги извршуваме Божјите дела?'
29. Исус одговори, велејќи им: 'Божјото дело е ова: да верувате во Оној Кого Тој Го прати.'
30. Тие пак Му рекоа: 'Каков знак ќе направиш за да видиме и да Ти поверуваме? Какво дело ќе извршиш?

31. Нашите татковци јадеа мана во пустината, како што е напишано: 'Им даде да јадат леб од небото.''
32. Исус им рече: 'Вистина, вистина, ви велам, Мојсеј не ви даде леб од небото, туку Мојот Татко ви дава вистински леб од небото,
33. зашто Божјиот леб е Оној Кој слегува од небото и му дава живот на светот.'
34. Тогаш Му рекоа: 'Господи, давај ни го секогаш тој леб.'
35. Исус им рече: 'Јас Сум Лебот на животот. Кој доаѓа кај Мене нема да огладни и кој верува во Мене нема никогаш да ожедни.
36. Туку ви реков дека - иако Ме видовте - не верувате.
37. Сѐ што Ми дава Таткото ќе дојде кај Мене, а оној кој доаѓа кај Мене нема да го истерам.
38. Зашто не слегов од Небото за да ја извршувам Мојата волја, туку волјата на Оној Кој Ме прати.
39. А ова е волјата на Оној Кој Ме прати: да не загубам ниту еден од сите што Ми ги даде, туку да ги воскреснам во последниот ден.
40. Зашто волјата на Мојот Татко е секој што ќе Го види Синот и поверува во Него - да има вечен живот, и Јас ќе го воскреснам во последниот ден.'
41. Тогаш Евреите негодуваа против Него, зашто рече: 'Јас Сум лебот што слезе од небото',
42. и зборуваа: 'Не е ли овој Исус, синот на Јосиф, чии татко и мајка ги познаваме? Како вели сега: 'Слегов од небото'?'
43. Исус одговори, велејќи им: 'Не негодувајте меѓу себе.
44. Никој не може да дојде кај Мене, ако не го привлече Таткото Кој ме прати, и Јас ќе го воскреснам во последниот ден.
45. Кај пророците е напишано: 'Сите ќе бидат научени од Бог.' Секој, кој чул од Таткото и научил, доаѓа кај Мене.
46. Никој не Го видел Таткото, освен Оној Кој е со Бог, Тој Го има видено Таткото.
47. Вистина, вистина, ви велам, кој ќе поверува во Мене има вечен живот.'
48. 'Јас Сум Лебот на животот.
49. Вашите татковци јадеа мана во пустината и изумреа.
50. Ова е лебот што слегува од небото, па секој може да го јаде и да не умре.
51. Јас Сум живиот леб што слезе од небото. Ако некој јаде од овој леб, ќе живее довека, а лебот, што ќе го дадам Јас, е Моето тело што ќе го предадам за животот на светот.'
52. Евреите повторно почнаа да се препираат меѓу себе, велејќи: 'Како може Овој да ни го даде Своето тело да го јадеме?'
53. Тогаш Исус им рече: 'Вистина, вистина, ви велам: ако не го јадете телото на Синот Човеков и не ја пиете Неговата крв, не ќе имате живот во себе.
54. Кој го јаде Моето тело и ја пие Мојата крв има вечен живот; и Јас ќе го воскреснам во последниот ден.
55. Зашто Моето тело е вистинска храна, и Мојата крв - вистинска напивка.
56. Кој јаде од Моето тело и пие од Мојата крв останува во Мене и Јас во него.
57. Како што Мене Ме испрати живиот Татко, а Јас живеам заради Таткото, така и оној кој Ме јаде Мене ќе живее заради Мене.
58. Ова е лебот што слезе од небото, не каков што татковците јадеа и изумреа. Кој јаде од овој леб, ќе живее довека.'
59. Ова го рече кога поучуваше во синагогата, во Капернаум.
60. Мнозина од Неговите ученици, штом го чуја тоа, рекоа: 'Тешка е оваа беседа! Кој може да ја слуша?'
61. Бидејќи Исус знаеше во Себе дека Неговите ученици негодуваат заради тоа, им рече: 'Зар ова ве соблазнува?
62. А што ќе биде ако Го видите Синот Човеков да се вознесува горе, каде што бил порано?
63. Духот е оној кој оживува, телото не помага ништо. Зборовите што ви ги реков се дух и живот.

64. Но има некои од вас, кои не веруваат.' Зашто Исус знаеше од почетокот кои се тие што не веруваат и кој ќе Го предаде.
65. И рече: 'Затоа ви реков дека никој не може да дојде кај Мене, освен ако не му е дадено од Таткото.'
66. Оттогаш мнозина од Неговите ученици се вратија и не одеа веќе со Него.
67. А Исус им рече на дванаесеттемина: 'Да не сакате и вие да си отидете?'
68. Симон Петар Му одговори: 'Господи, кај кого да отидеме? Ти ги имаш зборовите на вечен живот.
69. Ние поверувавме и сознавме дека Ти си Божјиот Светец.'
70. Исус им одговори: 'Зар не ве избрав Јас дванаесеттемина, и сепак еден од вас е ѓавол?'
71. А зборуваше за Јуда, синот на Симон Искариот, зашто тој, кој беше еден од дванаесеттемина, сакаше да Го предаде.

Глава 7

1. Потоа Исус одеше по Галилеја, бидејќи не сакаше да оди низ Јудеја, зашто Евреите Го бараа за да Го убијат.
2. А наближуваше јудејскиот празник на Сениците.
3. Тогаш Неговите браќа Му рекоа: 'Замини оттука и оди во Јудеја, за да ги видат и Твоите ученици делата што ги вршиш;
4. зашто никој не прави нешто тајно, кога самиот сака да биде познат. Штом ги вршиш тие дела, објави му се на светот.'
5. Зашто ни Неговите браќа не веруваа во Него.
6. Затоа Исус им рече: 'Моето време сѐ уште не е втасано, а за вас времето секогаш е згодно.
7. Светот вас не може да ве мрази, а Мене Ме мрази, зашто сведочам за него оти неговите дела се зли.
8. Вие појдете горе на празникот. Јас нема да отидам, зашто Моето време уште не е исполнето.'
9. Тоа им го рече и остана во Галилеја.
10. А кога Неговите браќа отидоа на празникот, тогаш отиде и Самиот, не јавно, туку тајно.
11. Но Евреите Го бараа на празникот и зборуваа: 'Каде е Оној?'
12. И многу се зборуваше за Него меѓу народот. Едни велеа: 'Добар е!', а други велеа: 'Не е добар, само го заблудува народот.'
13. Меѓутоа, никој не зборуваше слободно за Него, заради страв од Евреите.
14. А на половина од празнувањето, Исус влезе во Храмот и поучуваше.
15. Затоа Евреите се чудеа и велеа: 'Од каде има олку големо знаење - кога никогаш не учел?'
16. Тогаш Исус им одговори, велејќи: 'Моето учење не е Мое, туку на Оној Кој Ме прати.
17. Ако некој сака да ја исполнува Неговата волја, ќе знае дали е ова учење од Бог, или зборувам Сам од Себе.
18. Кој говори сам од себе, ја бара својата слава, а кој ја бара славата за Оној Кој Го пратил, Тој е вистинит - во Него нема неправедност.
19. Зар Мојсеј не ви го даде Законот? Но, никој од вас не го исполнува Законот. Зошто сакате да Ме убиете?'
20. Народот одговори: 'Демон има во Тебе! Кој сака да Те убие?'
21. Исус во одговор им рече: 'Направив едно дело и сите се чудите.
22. Затоа Мојсеј ви го даде обрежувањето (не затоа што е од Мојсеј, туку од татковците), а вие во саботен ден обрежувате човек!?
23. Ако човек се обрежува во саботен ден за да не се наруши Мојсеевиот Закон, зошто се лутите на Мене дека наполно исцелив човек во саботен ден?
24. Не судете по надворешниот изглед, туку судете праведно!'
25. Тогаш некои од жителите на Ерусалим рекоа: 'Не е ли овој Човекот, Кого бараат да Го убијат?
26. А ете, зборува слободно и ништо не Му велат. Да не се увериле старешините дека Тој е навистина Христос?
27. Овој Го знаеме од каде е, а кога ќе дојде Христос, никој не ќе знае од каде е.'
28. Исус, пак, поучувајќи во Храмот, извика и рече: 'И Мене Ме познавате, а знаете и од каде Сум! Не дојдов Сам од Себе, туку вистинит е Оној Кој Ме прати, Кого вие не Го познавате.
29. Јас Го знам, затоа што Сум од Него и Тој Ме прати.'
30. Тогаш сакаа да Го фатат, но никој не стави рака врз Него, зашто уште не беше дошол Неговиот час.
31. А мнозина од народот поверуваа во Него и велеа: 'Кога ќе дојде Христос, зарем ќе направи повеќе чудотворни знаци, отколку што направи Овој?'
32. Варисеите чуја дека народот зборува така за Него, па првосвештениците и фарисеите испратија стражари да Го фатат.

33. Тогаш Исус рече: 'Уште малку време Сум со вас, потоа заминувам кај Оној Кој Ме прати.
34. Ќе Ме барате и нема да Ме најдете, и каде што Сум Јас, вие не можете да дојдете.'
35. Тогаш Евреите си рекоа меѓу себе: 'Каде ќе оди Овој, та да не можеме да Го најдеме? Да не сака да оди кај расеаните меѓу Грците и да ги поучува Грците?
36. Што значи зборот што го рече: 'Ќе Ме барате и нема да Ме најдете,' и 'каде што Сум Јас, вие не можете да дојдете'?'
37. А во последниот, големиот ден на празникот Исус застана и извика, велејќи: 'Ако е некој жеден, нека дојде кај Мене и нека пие.
38. Кој верува во Мене, како што е кажано во Писмото, 'од неговата внатрешност ќе потечат реки на жива вода.''
39. Тоа го рече за Светиот Дух, Кого ќе Го примат оние кои веруваат во Него, зашто Светиот Дух уште не им беше даден, бидејќи Исус уште не беше прославен.
40. А некои од народот, кои ги чуја тие зборови, рекоа: 'Овој е навистина Пророкот.'
41. Други велеа: 'Овој е Христос.' Трети, пак, прашуваа: 'Зар Христос ќе дојде од Галилеја?
42. Зар Писмото не рече дека Христос ќе дојде од Давидовото потомство, и од гратчето Витлеем, од каде што беше Давид?'
43. И така, настана раздор кај народот заради Него.
44. А некои од нив сакаа да Го фатат, но никој не стави рака врз Него.
45. Кога стражарите дојдоа кај првосвештениците и фарисеите, тие им рекоа: 'Зошто не Го доведовте?'
46. Стражарите одговорија: 'Никој никогаш не зборувал така како што зборува Овој човек.'
47. А фарисеите им одговорија: 'Зар и вие сте заблудени?
48. Дали некој од првенците или од фарисеите поверува во Него?
49. Туку, проклет е овој народ, што не го знае Законот.'
50. Никодим (кој порано отиде кај Исус, а кој беше еден од нив) им рече:
51. 'Осудува ли нашиот Закон некого, ако најнапред не го сослуша и не дознае што прави?'
52. Тие во одговор му рекоа: 'Да не си и ти од Галилеја? Испитај и види дека пророк не се појавил од Галилеја.'
53. И секој си отиде во својот дом.

Глава 8

1. Исус отиде на Маслиновата Гора.
2. А во мугрите повторно дојде во Храмот, и сите луѓе доаѓаа кај Него. Тој седна и ги поучуваше.
3. Тогаш законициите и фарисеите доведоа една жена фатена во прељуба, и откако ја поставија насреде,
4. Му рекоа: 'Учителе, женава е фатена на самото дело во прељуба.
5. Мојсеј ни нареди во Законот да ги каменуваме таквите, а Ти што велиш?'
6. Тоа го рекоа за да Го искушаат, та да имаат за што да Го обвинат. А Исус се наведна и почна да пишува со прст по земјата.
7. Но бидејќи и натаму Го прашуваа, се исправи и им рече: 'Оној кој од вас е безгрешен, прв нека фрли камен на неа!'
8. И пак се наведна и пишуваше по земјата.
9. А тие, кога го чуја тоа, почнаа да отстапуваат еден по еден, почнувајќи од најстарите. А Исус остана Сам со жената, која стоеше насреде.
10. Исус се исправи и и рече: 'Жено, каде се другите? Ниеден ли не те осуди?'
11. Таа одговори: 'Ниеден, Господине.' Исус и рече: 'Ни Јас не те осудувам, оди си и отсега не греши веќе.'
12. Исус пак продолжи да говори, велејќи: 'Јас Сум светлината на светот. Кој Ме следи, нема да оди во темнина, туку ќе ја има светлината на животот.'
13. Затоа фарисеите Му рекоа: 'Ти сведочиш Сам за Себе; Твоето сведоштво не е вистинито.'
14. Исус во одговор им рече: 'Иако сведочам Сам за Себе, Моето сведоштво е вистинито, зашто знам од каде дојдов и каде одам, а вие не знаете од каде дојдов и каде одам.
15. Вие судите според телото, Јас не му судам никому.
16. А ако и судам, Мојот суд е вистинит, затоа што не Сум Сам, туку сме Јас и Оној Кој Ме прати.
17. Дури и во вашиот закон пишува дека сведоштвото на двајца луѓе е вистинито.
18. Јас сведочам за Себе, и Таткото Кој Ме прати, сведочи за Мене.'
19. Тогаш Му рекоа: 'Каде е Твојот Татко?' Исус одговори: 'Не Ме познавате ни Мене ни Мојот Татко. Ако Ме познававте Мене, ќе Го познававте и Мојот Татко.'
20. Овие зборови ги кажа, кај ризницата, кога поучуваше во Храмот, и никој не Го фати, зашто уште не беше дошол Неговиот час.
21. Исус повторно им рече: 'Јас си одам, а вие ќе Ме барате и ќе умрете во својот грев. Каде што одам Јас - вие не можете да дојдете.'
22. Затоа Евреите рекоа: 'Да не се самоубие, зашто вели: 'Каде одам Јас - вие не можете да дојдете?''
23. Им рече уште: 'Вие сте од долу, Јас Сум од горе. Вие сте од овој свет, а Јас не Сум од овој свет.
24. Затоа ви реков дека ќе умрете во своите гревови, зашто ако не поверувате дека Јас Сум Тој, ќе умрете во своите гревови.'
25. Тогаш Го прашаа: 'Кој си Ти?' Исус им рече: 'Па што ви зборувам уште од почетокот?
26. Имам многу да зборувам и да судам за вас, но вистинит е Оној Кој Ме испрати, и Јас му го кажувам на светот она што го имам слушнато од Него.'
27. Тие не сфатија дека им зборува за Таткото.
28. Затоа Исус им рече: 'Кога ќе Го подигнете Синот Човеков, тогаш ќе знаете дека Јас Сум и дека ништо не правам Сам од Себе, туку дека го зборувам она што Таткото Ме научи.
29. Оној Кој ме прати, со Мене е, не Ме остави Сам, зашто секогаш го правам она што Му годи.'
30. Кога го зборуваше тоа, мнозина поверуваа во Него.
31. Затоа Исус им рече на Евреите, кои Му поверуваа: 'Ако продолжите да го следите Моето слово, навистина сте Мои ученици,

32. и ќе ја знаете вистината, и вистината ќе ве ослободи.
33. Му одговорија: 'Ние сме Авраамово потомство и никогаш никому не сме му робувале. Како велиш Ти: 'Ќе бидете слободни?''
34. Исус им одговори: 'Вистина, вистина, ви велам дека секој што прави грев, роб му е на гревот.
35. А робот не останува дома довека, Синот останува довека.
36. И така, ако Синот ве ослободи, навистина ќе бидете слободни.
37. Знам дека сте Авраамово потомство, а сепак сакате да Ме убиете, зашто Моето слово нема место во вас.
38. Јас го зборувам тоа што сум го видел кај Мојот Татко; исто и вие го правите тоа што сте го чуле од вашиот татко.'
39. Му одговорија и рекоа: 'Наш татко е Авраам.' Исус им рече: 'Ако сте Авраамови чеда, вршете ги Авраамовите дела.
40. А сега сакате да Ме убиете Мене, Човекот, Кој ви ја кажа вистината, што ја чув од Бог. Авраам не постапи така.
41. Вие ги вршите делата на својот татко.' Тие Му рекоа: 'Ние не сме родени од блудство, имаме еден Татко - Бог.'
42. Исус им рече: 'Ако Бог беше ваш Татко, ќе Ме љубевте Мене, зашто Јас излегов и дојдов од Бог, и не дојдов Сам од Себе, туку Тој Ме прати.
43. Зошто не сфаќате што ви велам? Затоа што не можете да го слушате Моето слово.
44. Вие потекнувате од вашиот татко - ѓаволот, и сакате да ги исполнувате желбите на вашиот татко. Тој беше човекоубиец од почетокот и не остана при вистината, зашто во него нема вистина. Кога зборува лага, зборува од своето, зашто е лажливец и татко на лагата.
45. Но Мене не Ми верувате, бидејќи ви ја зборувам вистината.
46. Кој од вас Ме обвинува за грев? Ако ја зборувам вистината, зошто не Ми верувате?
47. Оној кој е од Бог, ги слуша Божјите зборови, а вие не ги слушате, затоа што не сте од Бог.'
48. Евреите Му одговорија, велејќи: 'Не зборуваме ли ние право дека Ти си самарјанин и дека си опседнат од демон?'
49. Исус одговори: 'Јас немам демон, туку Го почитувам Мојот Татко, а вие Ме срамите.
50. Јас не ја барам Мојата Слава, има еден друг Кој ја бара и суди.
51. Вистина, вистина, ви велам, ако некој го запази Моето слово, нема да види смрт довека.'
52. Евреите Му рекоа: 'Сега знаеме дека има демон во Тебе. Авраам умре, а и пророците, а Ти велиш: 'Ако некој го запази Моето слово, нема да вкуси смрт довека.'
53. Зар си Ти поголем од нашиот татко Авраам, кој умре? И пророците умреа. За кого се претставуваш Ти Самиот?'
54. Исус одговори: 'Ако Јас се прославувам Самиот Себе, Мојата слава е ништожна. Мене Ме прославува Мојот Татко, за Кого вие велите: 'Тој е наш Бог'.
55. Вие не Го запознавте, а Јас Го познавам. И ако речам дека не Го познавам, ќе бидам лажливец како и вие, но Јас Го познавам и го пазам Неговото слово.
56. Авраам, вашиот татко, се радуваше да го види Мојот ден; и го виде, и се зарадува.'
57. Евреите Му рекоа: 'Уште немаш педесет години, а си го видел Авраам?'
58. Исус им рече: 'Вистина, вистина, ви велам: Јас Сум уште од пред Авраамовото раѓање.'
59. Тогаш грабнаа камења за да ги фрлат на Него, но Исус се засолни и излезе од Храмот.

Глава 9

1. И кога заминуваше, виде човек, слеп од раѓање.
2. А учениците Го прашаа: 'Раби, кој згрешил, тој или неговите родители, та се родил слеп?'
3. Исус одговори: 'Не згрешил ни тој ниту неговите родители, туку за да се пројават Божјите дела врз него.
4. Ние треба да ги извршуваме делата на Оној Кој Ме прати, додека е ден. Доаѓа ноќ, кога никој не ќе може да работи.
5. Додека Сум во светот, Јас Сум Светлината на светот.'
6. Штом го рече тоа, плукна наземи, направи кал со плунката и со неа ги намачка неговите очи,
7. па му рече: 'Оди, измиј се во бањата Силоам (што значи: 'Пратен'). Тој отиде, се изми и дојде гледајќи.
8. А соседите и оние што го гледаа порано како питач, велеа: 'Зар овој не е оној, што седеше и питаше?'
9. Едни велеа: 'Тој е', други велеа: 'Не е, но прилега на него.' Тој рече: 'Јас сум!'
10. Тогаш му рекоа: 'Како ти се отворија очите?'
11. Тој одговори: 'Човекот, Кој се вика Исус, направи кал, ми ги намачка очите и ми рече: 'Оди во Силоам и измиј се. Јас отидов, се измив и прогледав.'
12. Тогаш му рекоа: 'Каде е Тој?', а човекот рече: 'Не знам.'
13. Го одведоа поранешниот слепец кај фарисеите.
14. А беше саботен ден кога Исус направи кал и му ги отвори очите.
15. Тогаш повторно фарисеите го прашаа како прогледал! Тој им рече: 'Ми стави кал на очите, се измив и гледам.'
16. Тогаш некои од нив рекоа: 'Овој Човек не е од Бог, не ја празнува саботата.' Други говореа: 'Како може грешен човек да прави такви чудотворни знаци?' И настана раздор меѓу нив.
17. Тогаш пак му рекоа на слепиот: 'Што велиш ти за Оној Кој ти ги отвори очите?' А тој рече: 'Пророк е!'
18. Но Евреите не поверуваа дека бил слеп и дека прогледал, сè додека не ги повикаа неговите родители,
19. и ги прашаа, велејќи: 'Дали е овој вашиот син, за кого велите дека се родил слеп? Како гледа сега?'
20. Неговите родители одговорија: 'Знаеме дека овој е нашиот син и дека се роди слеп,
21. а како гледа сега, не знаеме, и кој му ги отворил очите, ние не знаеме. Прашајте го него, тој е возрасен, самиот нека зборува за себе.'
22. Неговите родители го рекоа ова, зашто се плашеа од Евреите, бидејќи Евреите се беа договориле да биде исклучен од синагогата секој кој ќе Го признае Него за Христос.
23. Заради тоа, неговите родители рекоа: 'Возрасен е. Прашајте го него.'
24. Тогаш повторно го повикаа човекот, кој пред тоа беше слеп и му рекоа: 'Прослави Го Бога! Ние знаеме дека Тој Човек е грешник.'
25. А човекот им одговори: 'Дали е грешник- не знам, но едно знам: бев слеп, а сега гледам.'
26. Тогаш тие повторно го прашаа: 'Што ти стори? Како ти ги отвори очите?'
27. Тој им одговори: 'Веќе ви реков, а вие не слушавте, зошто сакате да чуете повторно? Да не сакате и вие да станете Негови ученици?'
28. Тие го прекорија и рекоа: 'Ти си Негов ученик, а ние сме Мојсееви ученици.
29. Ние знаеме дека Бог му говорел на Мојсеј, а од каде е Овој, не знаеме.'
30. Човекот им одговори, велејќи: 'Е тоа е за чудење, што вие не знаете од каде е, а Тој ми ги отвори очите.
31. Знаеме дека Бог не слуша грешници, туку оној кој е богобојазлив и ја врши Неговата волја, него го слуша.
32. Откако е веков не се чуло дека некој му ги отворил очите на слепороден.

33. Ако Тој не беше од Бога, ништо не ќе можеше да направи.'
34. А тие му одговорија со зборовите: 'Ти си целиот роден во гревови, ти ли ќе нѐ учиш нас?' И го истераа надвор.
35. Исус чу дека го истерале надвор, го најде и го праша: 'Веруваш ли ти во Божјиот Син?'
36. Тој одговори, велејќи: 'А Кој е Тој, Господине, за да верувам во Него?'
37. Исус му рече: 'Ти веќе Го виде, Тој зборува со тебе.'
38. А тој рече: 'Верувам, Господине', и Му се поклони.
39. Тогаш Исус рече: 'Јас дојдов на овој свет за суд, за да прогледаат оние кои не гледаат и за да ослепат оние кои гледаат.'
40. Некои од фарисеите, кои беа со Него, го чуја тоа и Му рекоа: 'Да не сме и ние слепи?'
41. Исус им рече: 'Да бевте слепи немаше да имате грев, ама сега велите: 'Гледаме' - затоа гревот ви останува.'

Глава 10

1. 'Вистина, вистина, ви велам, оној што не влегува во трлото низ врата, туку прескокнува на друго место, тој е крадец и разбојник.
2. А оној што влегува низ вратата, тој е пастир на овците.
3. Нему вратарот му отвора, а овците го слушаат неговиот глас. Тој ги вика по име и ги изведува.
4. Кога ќе ги изведе, оди пред нив, а овците одат по него, зашто го познаваат неговиот глас.
5. По туѓинец никако не одат, туку бегаат од него, зашто не го познаваат гласот на туѓинците.'
6. Исус им ја кажа оваа споредба, но тие не го сфатија значењето на тоа за кое им зборуваше.
7. Исус повторно им рече: 'Вистина, вистина, ви велам: Јас Сум вратата за овците.
8. Сите кои дојдоа пред Мене, се крадци и разбојници, но овците не ги послушаа.
9. Јас Сум вратата. Кој ќе влезе низ Мене, ќе биде спасен, ќе влегува и ќе излегува и ќе најде пасиште.
10. Крадецот влегува само да обира, да заколе и да погуби. Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат во изобилие.
11. Јас Сум Добриот Пастир. Добриот пастир го дава својот живот за овците.
12. Главеникот, кој не е пастир, кому овците не му припаѓаат, го гледа волкот како доаѓа, ги остава овците и бега, а волкот ги разграбува и ги раштркува;
13. зашто е главеник и не се грижи за овците.
14. Јас Сум Добриот Пастир и ги познавам Моите и Моите Ме познаваат Мене.
15. Како што Таткото Ме познава Мене, и Јас Го познавам Таткото; и Јас го давам Мојот живот за овците.
16. И други овци имам, што не се од ова трло, и нив треба да ги доведам. Тие ќе го слушаат Мојот глас и ќе биде едно стадо и еден пастир.
17. Таткото Ме љуби затоа што Јас го давам Својот живот, за повторно да го земам.
18. Никој не Ми го одзеде, туку Јас го давам Сам од Себе. Имам власт да го дадам, и имам власт да го земам пак. Оваа заповед ја примив од Мојот Татко.'
19. Заради овие зборови пак настана раздор меѓу Евреите.
20. Мнозина од нив велеа: 'Опседнат е од демон и блада, зошто Го слушате?'
21. Други велеа: 'Тоа не се зборови на опседнат од демон. Може ли демон да отвора очи на слепи?'
22. Тогаш во Ерусалим се празнуваше празникот Посветување; беше зима.
23. А Исус одеше по Соломоновиот трем на Храмот.
24. Тогаш Евреите Го опкружија и Му рекоа: 'До кога ќе ни ја измачуваш душата? Ако си Ти Христос, кажи ни отворено!'
25. Исус им одговори: 'Ви реков, и не верувате. Делата што Јас ги правам во името на Мојот Татко сведочат за Мене.
26. Но, вие не верувате, зашто не сте од Моите овци.
27. Моите овци го слушаат Мојот глас, Јас ги познавам, и тие одат по Мене.
28. Јас им давам вечен живот и никогаш нема да загинат и никој нема да ги отме од Мојата рака.
29. Мојот Татко, Кој ми ги даде, поголем е од сите, и никој не може да ги отме од раката на Мојот Татко.
30. Јас и Мојот Татко сме едно.'
31. Евреите, пак, зедоа камења за да Го каменуваат.
32. Исус им рече: 'Ви покажав многу добри дела од Мојот Татко. За кое од тие дела ќе Ме каменувате?'
33. Евреите Му одговорија: 'Не Те каменуваме заради добро дело, туку заради богохулство, зашто Ти, иако си човек, се правиш Бог.'
34. Исус им одговори: 'Не е ли напишано во вашиот Закон: 'Јас реков: богови сте?'

35. Ако ги нарече богови оние на кои им беше упатено Божјото Слово, а Писмото не може да биде нарушено,
36. зошто вие велите дека хули на Бога Оној Кого Таткото Го посвети и Го испрати во светот. Затоа што реков: 'Јас Сум Божјиот Син?'
37. Ако не ги извршувам делата на Мојот Татко, не верувајте Ми.
38. А ако ги извршувам, верувајте им на делата, ако Мене не Ми верувате, за да знаете и останете во знаењето дека Таткото е во Мене и Јас сум во Таткото ! '
39. Тогаш сакаа пак да Го фатат, но им се измолкна од рацете.
40. И пак отиде преку Јордан, каде што отпрвин крштаваше Јован, и остана таму.
41. И мнозина дојдоа кај Него и рекоа: 'Јован не направи ниедно чудо, но сѐ што рече Јован за Него, беше вистина.'
42. И таму мнозина поверуваа во Него.

Глава 11

1. Имаше и еден болен човек, Лазар од Betанија, од селото на Марија и сестра и Марта.
2. А Марија, чиј брат Лазар беше болен, беше онаа која Го помаза Господа со миро и ги избриша Неговите нозе со својата коса.
3. И така, сестрите пратија вест до Него, да Му кажат: 'Господи, ете, болен е оној кого го љубиш.'
4. А штом Исус го чу тоа, рече: 'Болеста не е за умирачка, туку за Божја слава, за преку неа да се прослави Божјиот Син.'
5. Исус ги љубеше Марта, нејзината сестра и Лазара.
6. И кога чу дека е болен, остана уште два дена во местото каде се наоѓаше.
7. Потоа им рече на учениците: 'Да отидеме пак во Јудеја.'
8. Учениците Му рекоа: 'Раби, Евреите сега сакаа да Те каменуваат, а Ти пак одиш онаму?'
9. Исус одговори: 'Зар денот нема дванаесет часови? Ако некој оди дење, не се сопнува, зашто ја гледа светлината на овој свет.
10. А ако некој оди ноќе, се сопнува, зашто нема светлина во него.'
11. Тоа им го рече, а потоа продолжи: 'Нашиот пријател Лазар заспа, одам да го разбудам.'
12. Тогаш учениците Му рекоа: 'Господи, ако заспал, ќе оздравее.'
13. Додека Исус зборуваше за неговата смрт, тие мислеа дека зборува за починка во сон.
14. Тогаш Исус им рече јасно: 'Лазар умре;
15. ама се радувам заради вас, оти не бев таму, за да поверувате. Ајде да отидеме кај него.'
16. Тогаш Тома, наречен Близнак, им рече на соучениците: 'Да отидеме и ние за да умреме со него!'
17. И така, кога Исус дојде дозна дека е четири дена во гробот.
18. А Бетанија беше близу до Ерусалим, околу петнаесет стадии,
19. и мнозина Евреи беа дошле кај Марта и Марија да ги утешат за братот.
20. Штом чу Марта дека доаѓа Исус, излезе да Го пречека, а Марија остана дома.
21. Притоа Марта Му рече на Исус: 'Господи, да беше Ти тука, брат ми немаше да умре.
22. А и сега знам дека Бог ќе Ти даде сè за што ќе Го замолиш.'
23. Исус и рече: 'Твојот брат ќе воскресне.'
24. Марта Му рече: 'Знам дека ќе воскресне при воскресението, во последниот ден.'
25. Исус и рече: 'Јас Сум Воскресението и Животот; оној што верува во Мене, и да умре - ќе живее.
26. И секој, кој живее и верува во Мене, нема да умре довека. Веруваш ли во тоа?
27. Му рече: 'Да, Господи, јас верувам дека Ти си Христос, Божјиот Син, Кој треба да дојде на светот.'
28. Штом го рече тоа, отиде и ја повика сестра си Марија и и рече скришно: 'Учителот е тука и те вика!'
29. А таа, штом го чу тоа, веднаш стана и тргна кон Него.
30. Имено, Исус уште не беше втасал во селото, туку беше на местото каде што Го сретна Марта.
31. Евреите, пак, кои беа со неа дома и ја тешеа, штом видоа дека Марија стана и бргу излезе, тргнаа по неа, мислејќи дека оди на гробот, таму да се изнаплаче.
32. А кога Марија дојде таму, каде што беше Исус, кога Го виде, падна пред Неговите нозе и Му рече: 'Господи, да беше Ти тука, немаше брат ми да умре.'
33. Кога Исус ја виде расплакана, и како плачат Евреите, кои дојдоа со неа, се растажи во духот, и се потресе
34. и рече: 'Каде го положивте?' Му рекоа: 'Господи, дојди и види!'
35. Исус просолзи.
36. Тогаш Евреите рекоа: 'Гледај, колку го љубел!'
37. А некои од нив рекоа: 'Не можеше ли Овој Кој му ги отвори очите на слепиот, да направи и

овој да не умре?'
38. А Исус пак длабоко трогнат, дојде до гробот; а тоа беше пештера со камен навален на влезот.
39. Исус рече: 'Поместете го каменот!' Марта, сестрата на покојникот, Му рече: 'Господи, веќе смрди, зашто четири дена е во гробот.'
40. Исус и рече: 'Нели ти реков, ако веруваш, ќе ја видиш Божјата слава?'
41. Тогаш го поместија каменот, а Исус ги поткрена очите и рече: 'Татко, Ти благодарам што Ме послуша.
42. Јас знаев дека секогаш Ме слушаш, но ова го реков заради насобраните луѓе, за да поверуваат дека Ти Ме прати.'
43. Откако го рече тоа, викна со силен глас: 'Лазаре, излези надвор!'
44. Умрениот излезе, замотан со повои по рацете и нозете, а лицето му беше забрадено со крпа. Исус им рече: 'Одмотајте го и пуштете го да оди!'
45. Тогаш мнозина од Евреите, кои дојдоа со Марија и видоа што направи Тој, поверуваа во Него,
46. а некои од нив отидоа кај фарисеите и им раскажаа што стори Исус.
47. Затоа првосвештениците и фарисеите го свикаа Советот и рекоа: 'Што да чиниме? Овој човек прави многу чудотворни знаци!
48. Ако Го оставиме така, сите ќе веруваат во Него, а Римјаните ќе дојдат и ќе ни ги одземат и земјата и народот!'
49. А еден од нив, Кајафа, кој беше врховен свештеник во таа година, им рече: 'Вие не знаете ништо,
50. ниту помислувате дека е подобро за нас да умре еден човек за народот, отколку сиот народ да пропадне.'
51. А ова не го рече сам од себе, туку, како врховен свештеник во таа година, прорече дека Исус ќе умре за народот,
52. и не само за народот, туку и за да ги собере заедно раштрканите Божји деца.
53. Така, по тој ден се договорија да Го убијат.
54. Затоа Исус веќе не се движеше јавно меѓу Евреите, туку отиде оттаму во еден крај близу до пустината, во градот наречен Ефраим, и таму престојуваше со учениците.
55. А наближуваше јудејската Пасха, па мнозина од внатрешноста се искачуваа кон Ерусалим, пред Пасхата, за да се исчистат.
56. Го бараа Исус, и стоејќи во Храмот зборуваа меѓу себе: 'Што мислите? Нема ли да дојде на празникот?'
57. А првосвештениците и фарисеите веќе беа издале заповед, ако некој дознае каде е, да јави, за да Го фатат.

Глава 12

1. На шест дни пред Пасхата, Исус дојде во Бетанија, каде што беше Лазар, кого го воскресна од мртвите.
2. Таму Му приготвија вечера. Марта послужуваше, а Лазар беше еден од оние кои со Него беа прилегнати крај трпезата.
3. Тогаш Марија зеде литар миро од чист и скапоцен нард, ги помаза Исусовите нозе и ги избриша со својата коса; а куќата се исполни со мирис од мирото.
4. А Јуда Искариот, еден од Неговите ученици, кој сакаше да Го предаде, рече:
5. 'Зошто мирово не се продаде за триста денарии, и да им се раздаде на сиромашните?'
6. Тоа не го рече зашто се грижеше за сиромашните, туку затоа што беше крадец; кај него беше чекмежето со пари и поткрадуваше од она што го пуштаа во него.
7. Но Исус рече: 'Оставете ја! Нека го изврши тоа за денот на Мојот погреб.
8. Зашто сиромашните ги имате секогаш покрај себе, а Мене Ме немате секогаш.'
9. Многу Евреи дознаа дека е таму, па дојдоа не само заради Исус, туку да го видат и Лазар, кого што го воскресна од мртвите.
10. Првосвештениците, пак, решија да го убијат и Лазар,
11. зашто многу Евреи ги напуштаа заради него и веруваа во Исус.
12. На следниот ден, голем број луѓе, што беа дојдени на празникот, кога слушнаа дека Исус доаѓа во Ерусалим,
13. зедоа палмови гранки, излегоа да го пречекаат, извикувајќи: 'Осана! Благословен е Оној Кој доаѓа во Господовото име, Царот на Израел!'
14. А Исус најде младо од магаре, односно магаренце, и го јавна, како што е напишано:
15. 'Не плаши се, Сионова ќерко! Еве, твојот Цар доаѓа, седејќи на младо магаре.'
16. Неговите ученици отпрвин не го разбраа тоа, но кога Исус се прослави, тогаш се сетија дека тоа беше напишано за Него, и дека тоа Му Го сторија.
17. А народот, кој беше со Него, сведочеше дека Тој го повика Лазар од гробот и го воскресна од мртвите.
18. Заради тоа народот и излезе да Го пречека, зашто чу дека Тој го направи тој чудотворен знак.
19. Варисеите, пак, си рекоа меѓу себе: 'Гледате дека сѐ е бесполезно, еве, народот тргна по Него.'
20. Меѓу поклониците, кои беа дојдени на празникот, имаше и некои Грци.
21. Тие му пристапија на Вилип, којшто беше од галилејска Бетсаида, и го замолија, велејќи: 'Господине, сакаме да Го видиме Исус.
22. Вилип отиде и му кажа на Андреј; потоа Андреј и Вилип отидоа и Му кажаа на Исус.
23. А Исус им одговори: 'Дојде часот да се прослави Синот Човеков.
24. Вистина, вистина, ви велам, ако пченичното зрно не падне во земјата и не умре, останува само, а ако умре, донесува многу плод.
25. Кој го љуби својот живот, ќе го загуби, а кој го мрази својот живот на овој свет - ќе го запази за вечен живот.
26. Ако некој Ми служи Мене, нека Ме следи; таму каде што Сум Јас, таму ќе биде и Мојот слуга. Ако некој Ми служи Мене, него Таткото ќе го почитува.
27. Еве, Мојата душа е вознемирена, и што да кажам: Татко, избави Ме од овој час? Па, заради тоа и дојдов до овој час!
28. Татко, прослави го Твоето име!' Тогаш дојде глас од небото: 'Го прославив и пак ќе го прославам.'
29. А народот, кој стоеше и го чу, рече: 'Згрми!'- а други рекоа: 'Ангел Му проговори!'
30. Исус во одговор рече: 'Овој глас не дојде заради Мене, туку заради вас.
31. Сега е судот на овој свет. Сега владетелот на овој свет ќе биде изгонет!
32. А Јас, ако бидам воздигнат од земјата, ќе ги привлечам сите кон Себе.'

33. Тоа го рече за да покаже со каква смрт ќе умре.
34. Тогаш народот Му одговори: 'Од Законот имаме слушнато дека Христос треба да остане вечно. Тогаш, како велиш Ти: 'Синот Човеков треба да биде воздигнат?' Кој е тој Син Човеков?'
35. Тогаш Исус им рече: 'Уште малку време Светлината е меѓу вас! Одете додека ја имате Светлината, за да не ве зафати темнината! Кој оди во темнина, не знае каде оди.
36. Додека ја имате Светлината, верувајте во Светлината, за да бидете синови на Светлината.' Исус го рече тоа, па отиде и се скри од нив.
37. Иако направи толку чудотворни знаци пред нив, не веруваа во Него,
38. за да се исполни словото, што го рече пророкот Исаија: 'Господи, кој и поверува на нашата порака? И на кого му се откри Господовата рака?'
39. Затоа не можеа да веруваат, зашто Исаија уште рече:
40. 'Им ги заслепи очите и им ги скамени срцата, за да не гледаат со очите, за да не разбираат со срцето и да не се обратат - за да не ги исцелам.'
41. Исаија го рече тоа, зашто ја виде Неговата слава и зборуваше за Него.
42. Сепак, мнозина од првенците поверуваа во Него, но заради фарисеите тоа не го признаваа јавно, за да не бидат исклучени од синагогата;
43. зашто повеќе ја сакаа човечката слава, отколку Божјата.
44. А Исус го поткрена гласот и рече: 'Кој верува во Мене, не верува во Мене туку во Оној Кој Ме прати.
45. И кој Ме гледа Мене, Го гледа Оној Кој Ме прати.
46. Јас, Светлината, дојдов на светот, за ниту еден кој верува во Мене да не остане во темнина.
47. И ако некој ги чуе Моите зборови, а не ги почитува, Јас не го судам: зашто не дојдов да Му судам на светот, туку да го спасам светот.
48. Кој Ме отфрла Мене и не ги прима Моите зборови, има свој судија: Словото, што го изговорив, тоа ќе му суди во последниот ден.
49. Зашто Јас не зборував Сам од Себе, туку Таткото Кој Ме прати, Тој Ми даде заповед што да речам и што да зборувам.
50. И знам дека Неговата заповед е вечен живот. И така, она што го зборувам Јас, го зборувам онака како што Ми кажа Таткото.'

Глава 13

1. А пред празникот Пасха, Исус, знаејќи дека Му дојде часот за да замине од овој свет кон Таткото, откако ги засака Своите во светов, ги љубеше докрај.
2. За време на вечерата, ѓаволот веќе беше ставил мисла во срцето на Јуда, синот на Симон Искариот, да Го предаде.
3. Исус, знаејќи дека Таткото Му предаде сè во рацете, дека излезе од Бог и дека оди кај Бог,
4. стана од вечерата, ја соблече горната облека, зеде крпа и се опаша.
5. Потоа налеа вода во садот за миење и почна да им ги мие нозете на учениците и да ги брише со крпата со која беше опашан.
6. Така, дојде до Симон Петар, а овој Му рече: 'Господи, Ти ли ќе ми ги миеш нозете?'
7. Исус одговори, велејќи му: 'Ти сега не знаеш што правам Јас, но подоцна ќе разбереш.'
8. Петар Му рече: 'Ти никогаш нема да ми ги измиеш нозете!' Исус му одговори: 'Ако не те измијам, немаш дел со Мене.'
9. Симон Петар Му рече: 'Господи, измиј ми ги не само нозете, туку и рацете и главата.'
10. Исус му одговори: 'На измиениот треба да му се измијат само нозете, зашто целиот е чист, а вие сте чисти, но не сте сите.'
11. Бидејќи знаеше кој ќе Го предаде, затоа и рече: 'Не сте сите чисти!'
12. А кога им ги изми нозете, ја зеде својата горна облека и пак прилегна крај трпезата и им рече: 'Сфативте ли што ви сторив?
13. Вие Ме нарекувате Мене Учител и Господ, и право велите, зашто тоа Сум.
14. И така, ако Јас, Господ и Учител, ви ги измив нозете, и вие сте должни да си ги миете нозете еден на друг;
15. зашто ви дадов пример и вие да правите онака како што ви направив Јас.
16. Вистина, вистина, ви велам: слугата не е поголем од својот господар, ниту пратеникот е поголем од оној што го праќа.
17. Кога ги знаете овие работи, блажени сте ако ги исполнувате.
18. Не зборувам за сите вас. Ги знам оние што ги избрав; но треба да се исполни Писмото: 'Оној Кој го јаде Мојот леб, ја крева својата петица против Мене.'
19. Отсега ќе ви кажувам пред да се збидне, за да поверувате, кога ќе се збидне, дека Јас Сум.
20. Вистина, вистина, ви велам: кој го прима оној кого Јас го праќам, Мене Ме прима, а кој Ме прима Мене, Го прима Оној Кој Ме прати Мене.'
21. Штом го рече тоа, Исус се вознемири во духот, па посведочи и рече: 'Вистина, вистина, ви велам дека еден од вас ќе Ме предаде.'
22. Тогаш учениците се погледнаа еден со друг, не знаејќи за кого зборува.
23. А еден од Неговите ученици, кого Исус го љубеше, беше се навалил на Исусовиот скут;
24. тогаш Симон Петар му даде знак и му рече: 'Прашај го за кого зборува?'
25. Така, тој се потпре на Исусовите гради и му рече: 'Господи, кој е тој?'
26. Исус одговори: 'Тоа е оној кому ќе му натопам залак и ќе му го подадам.' И го натопи залакот, го зеде и му го даде на Јуда, синот на Симон Искариот.
27. И откако го прими залакот, сатаната влезе во него. Исус, пак, му рече: 'Што ќе правиш, прави побргу!'
28. Ама никој од оние што беа прилегнати крај трпезата, не разбра зошто му го рече тоа.
29. Но, бидејќи кај Јуда беше чекмежето, некои помислија дека Исус му вели: 'Купи што ни е потребно за празникот!' или да им раздаде нешто на сиромашните.
30. Штом го прими залакот, Јуда веднаш излезе, а беше ноќ.
31. И кога излезе, Исус рече: 'Сега се прослави Синот Човеков, и Бог се прослави во Него.
32. Ако Бог се прослави во Него, и Бог ќе Го прослави во Себе, а ќе Го прослави веднаш.
33. Чеда, уште малку сум со вас; ќе Ме барате, и како што им реков на Евреите: таму каде што одам Јас, вие не можете да дојдете, и вам ви велам:
34. Ви давам нова заповед: да се љубите еден со друг; како што Јас ве љубев вас, така и вие да

се љубите еден со друг.
35. По ова сите ќе познаат дека сте Мои ученици - ако имате љубов меѓу себе!'
36. Симон Петар Му рече: 'Господи, каде одиш?' Исус му одговори: 'Таму каде што одам Јас, ти сега не можеш да дојдеш со Мене, но подоцна ќе дојдеш.'
37. Петар Му рече: 'Господи, зошто не можам да дојдам по Тебе сега? Својот живот ќе го дадам за Тебе.'
38. Исус одговори: 'Својот живот ќе го дадеш за Мене? Вистина, вистина, ти велам, петел нема да пропее, додека ти трипати не се откажеш од Мене.'

Глава 14

1. 'Да не се вознемирува вашето срце; верувајте во Бог, и верувајте во Мене!
2. Во Домот на Мојот Татко има многу места за живеење; ако не беше така, Јас ќе ви кажев. Одам да ви приготвам место.
3. А кога ќе отидам и ви приготвам место, пак ќе дојдам и ќе ве земам кај Себе, за да бидете и вие таму каде што Сум Јас,
4. А патот за онаму каде што одам, го знаете.'
5. Тома Му рече: 'Господи, не знаеме каде одиш! Како можеме да го знаеме патот?'
6. Исус му одговори: 'Јас Сум Патот, Вистината и Животот. Никој не доаѓа кај Таткото, освен преку Мене.
7. Ако Мене Ме познававте, ќе Го познававте и Мојот Татко. А отсега Го познавате и сте Го виделе!'
8. Вилип Му рече: 'Господи, покажи ни Го Таткото, и доволно ќе ни биде.'
9. Исус му рече: 'Толку време Сум со вас и не Ме позна ли, Вилипе? Кој Ме видел Мене, Го видел и Таткото; тогаш како велиш ти: 'Покажи ни Го Таткото!?'
10. Не веруваш ли дека Јас Сум во Таткото и дека Таткото е во Мене? Зборовите што ви ги кажувам не ги зборувам од Себе; Таткото, Кој е во Мене, Тој ги врши делата.
11. Верувајте Ми дека Јас Сум во Таткото и Таткото е во Мене; ако пак не - верувајте заради самите дела.
12. Вистина, вистина, ви велам: кој верува во Мене, делата што ги вршам Јас, ќе ги врши и тој. Ќе прави и поголеми од нив, зашто Јас одам кај Таткото.
13. И што и да побарате во Мое име, ќе направам, за да се прослави Таткото во Синот.
14. И ако посакате нешто во Мое име, Јас ќе го сторам.'
15. 'Ако Ме љубите, ќе ги пазите Моите заповеди.
16. А Јас ќе Го молам Таткото, и Тој ќе ви даде друг Утешител, за да биде со вас довека:
17. Духот на Вистината, Кого светот не може да Го прими, зашто не Го гледа, ниту Го познава. Вие Го познавате, зашто Тој престојува со вас и ќе биде во вас.
18. Нема да ве оставам сираци, ќе дојдам кај вас.
19. Уште малку, и светот веќе нема да Ме гледа, а вие ќе Ме гледате; затоа што Јас живеам и вие ќе живеете.
20. Во оној ден ќе знаете дека Јас Сум во Мојот Татко, и вие во Мене и Јас во вас.
21. Кој ги има Моите заповеди и ги пази, тој Ме љуби, а кој Ме љуби Мене, ќе биде љубен од Мојот Татко, и Јас ќе го љубам, а Јас Самиот ќе му се објавам.'
22. Јуда (не Искариот) му рече : 'Господи, што значи тоа дека ќе ни се јавиш нам, а не на светот?'
23. Исус во одговор му рече: 'Ако некој Ме љуби, ќе го пази Моето Слово, и Мојот Татко ќе го љуби: кај него ќе дојдеме и во него ќе се вселиме.
24. Кој не Ме љуби, не ги држи Моите зборови, а Словото што го слушате, не е Мое, туку е од Таткото Кој Ме испрати.
25. Ова ви го зборував, додека бев кај вас;
26. а Утешителот, Светиот Дух, Кого Таткото ќе Го испрати во Мое име, ќе ве научи на сѐ и ќе ве потсети на сѐ што ви реков.
27. Ви оставам мир, ви го давам Мојот мир. Не ви го давам како што го дава светот. Нека не се вознемирува вашето срце и нека не се плаши.
28. Чувте дека ви реков: Си одам и ќе се вратам. Ако Ме љубите, ќе се зарадувате дека одам кај Таткото, зашто Таткото е поголем од Мене.
29. А сега ви реков, пред да се случи тоа, за да поверувате кога ќе се случи.
30. Не ќе зборувам уште многу со вас, зашто доаѓа принцот на овој свет. Тој нема ништо со Мене;
31. туку, за да знае светот дека Јас Го љубам Таткото и правам така како што Ми заповеда

Таткото! Станете, да си одиме оттука!'

Глава 15

1. Јас Сум вистинската лоза, а Мојот Татко е лозарот.
2. Тој ја отстранува секоја лозинка од Мене што не дава плод, а ја обрежува секоја што дава плод, за да даде повеќе род.
3. Вие сте веќе чисти заради Словото кое ви го зборував.
4. Останете во Мене и Јас во вас. Како што лозинката не може да роди плод сама од себе ако не остане на лозата, така ни вие, ако не останете во Мене.
5. Јас Сум лозата, а вие сте лозинките. Кој останува во Мене и Јас во него, тој дава многу плод; зашто без Мене не можете да сторите ништо.
6. Ако некој не остане во Мене, тој ќе биде исфрлен како лозинка и се суши, - лозинките ги собираат, ги фрлаат в оган и ги горат.
7. Ако останете во Мене и ако Моите зборови останат во вас, барајте што и да посакате, и ќе ви биде дадено.
8. Мојот Татко се прославува со тоа што давате многу плод и покажувате дека сте Мои ученици.
9. Како што Таткото Ме засака Мене, така и Јас ве засакав вас. Останете во Мојата љубов !
10. Ќе останете во Мојата љубов, ако ги запазите Моите заповеди, како што и Јас ги запазив заповедите на Мојот Татко и останувам во Неговата љубов.
11. Ова ви го реков за да биде Мојата радост во вас, а вашата радост да биде целосна.
12. Ова е Мојата заповед: да се љубите еден со друг како што Јас ве засакав вас.
13. Никој нема поголема љубов од оваа: да го положи сопствениот живот за своите пријатели.
14. Вие сте Ми пријатели ако го вршите она што Јас го заповедам.
15. Не ве нарекувам веќе слуги, зашто слугата не знае што прави неговиот господар, туку ве нареков пријатели, зашто ви кажав сѐ што чув од Таткото.
16. Вие не Ме избравте Мене, туку Јас ве избрав вас и ве поставив да одите и да принесувате плод, и вашиот плод да остане; за што и да побарате во Мое име, да ви даде.
17. Ова ви го заповедам: да се љубите еден со друг! '
18. 'Ако светот ве мрази, да знаете дека Мене Ме мразеше уште пред вас!
19. Да бевте од овој свет, светот би ги љубел своите; но бидејќи не сте од светов, туку Јас ве избрав од светот, затоа светот ве мрази.
20. Помнете го зборот што ви го реков: 'Слугата не е поголем од својот господар!' Ако Ме прогонуваа Мене, ќе ве прогонуваат и вас; ако го пазеа Моето Слово, ќе го пазат и вашето.
21. Туку, сето ова ќе ви го прават заради Моето име, затоа што не Го познаваат Оној Кој Ме прати.
22. Да не дојдев и да не им зборував, немаше да имаат грев; но сега немаат изговор за својот грев.
23. Кој Ме мрази Мене, Го мрази и Мојот Татко.
24. Да не направев меѓу нив дела какви што никој друг не направил, немаше да имаат грев; но сега видоа и пак нѐ мразат Мене и Мојот Татко.
25. Туку, треба да се исполни словото, запишано во нивниот Закон: 'Ме замразија без причина!'
26. А кога ќе дојде Утешителот, Кого Јас ќе ви Го испратам од Таткото, Духот на Вистината, Кој излегува од Таткото, Тој ќе сведочи за Мене;
27. а и вие ќе сведочите, бидејќи бевте со Мене уште од почетокот.'

Глава 16

1. 'Ова ви го кажав, за да не се соблазните.
2. Ќе ве бркаат од синагогите, а ќе дојде час кога секој што ќе ве убие, ќе мисли дека со тоа Му служи на Бога.
3. Тоа ќе го прават, бидејќи не Го знаат Таткото, ниту Мене.
4. Ова ви го кажав за да се сетите кога ќе дојде нивното време дека сум ви го рекол. Ова не ви го кажав од почетокот, бидејќи бев со вас.'
5. 'А сега одам кај Оној Кој Ме прати, а никој од вас не Ме праша: 'Каде одиш?'
6. Туку, вашето срце се исполни со тага, зашто ви го кажав тоа.
7. Сепак, ви ја кажувам вистината: подобро е за вас Јас да си заминам. Зашто ако не си заминам, Утешителот нема да дојде кај вас; ако пак заминам, ќе ви Го испратам.
8. А кога ќе дојде Тој, ќе го увери светот за гревот, за праведноста и за судот.
9. За гревот - зашто не веруваат во Мене;
10. за праведноста - зашто си одам кај Таткото, и веќе нема да Ме видите;
11. за судот - зашто принцот на овој свет е осуден.
12. Имам уште многу да ви кажам, но сега не можете да поднесете.
13. А кога ќе дојде Тој, Духот на Вистината, ќе ве упати во сета вистина, зашто нема да зборува Сам од Себе, туку ќе зборува за она што го слуша, и ќе ви навести за нештата што ќе дојдат.
14. Тој ќе Ме прослави Мене, зашто ќе земе од Моето и ќе ви го објави вам.
15. Сè што има Таткото - Мое е; затоа реков дека ќе земе од Моето и ќе ви го објави вам.'
16. 'Уште малку и веќе не ќе Ме гледате, ама за кратко и пак ќе Ме видите.'
17. А некои од Неговите ученици си рекоа еден на друг: 'Што е тоа, што ни вели: 'Уште малку, и не ќе Ме гледате, ама за кратко и пак ќе Ме видите?' и 'Си одам кај Таткото?'
18. И си зборуваа: 'Што е тоа 'за кратко' за кое зборува? Не знаеме за што зборува!'
19. Исус сфати дека сакаат да го прашаат, па им рече: 'Затоа ли се расправате меѓу себе за она што ви реков: 'Уште малку и не ќе Ме гледате, и пак по кратко ќе Ме видите?'
20. Вистина, вистина, ви велам: вие ќе плачете и ќе лелекате, а светот ќе се радува; ќе бидете тажни, но вашата тага ќе се претвори во радост.
21. Жената е тажна кога раѓа, зашто дошол нејзиниот час; но штом ќе го роди детето, не си спомнува веќе за маката - заради радоста дека се родил човек на светот.
22. Така и вие сега сте нажалени, но пак ќе ве видам, па ќе се зарадува вашето срце, и таа ваша радост никој не ќе може да ви ја одземе.
23. Во оној ден нема да Ме прашувате за ништо. Вистина, вистина, ви велам: што и да побарате од Таткото во Мое име, ќе ви даде.
24. Досега ништо не баравте во Мое име; барајте и ќе добиете, та вашата радост да биде целосна.'
25. 'Ова ви го зборував сликовито, но доаѓа часот кога нема да ви зборувам веќе сликовито, туку ќе ви зборувам отворено за Таткото.
26. Во тој ден ќе барате во Мое име; и не ви велам дека Јас ќе Го молам Таткото за вас,
27. бидејќи самиот Татко ве љуби, зашто вие Ме засакавте Мене и verувавте дека Јас Сум излегол од Бога.
28. Излегов од Таткото и дојдов во светот. Сега повторно го оставам светот и одам кај Таткото.'
29. Неговите ученици рекоа: 'Еве, сега зборуваш отворено и не зборуваш сликовито.
30. Сега знаеме дека знаеш сè и не е нужно некој да Те испрашува; затоа веруваме дека си излегол од Бога.'
31. Исус им одговори: 'Сега верувате ли?
32. Еве, иде часот, и веќе настапи, за да се раштркате секој на своја страна и да Ме оставите Сам; но сепак не Сум Сам, зашто Таткото е со Мене.

33. Ова ви го реков, за да имате мир во Мене. Во светот имате неволи, но бидете храбри - Јас го победив светот.'

Глава 17

1. Кога Исус го изговори тоа, ги поткрена очите кон небото и рече: 'Татко, дојде часот! Прослави Го Својот Син, за да Те прослави Синот Тебе,
2. и како што си Му дал власт над секој еден, на сите што си Му ги дал, да им даде вечен живот.
3. А ова е вечен живот: да Те познаат Тебе, единствениот вистинит Бог, и Исус Христос, Кого Го испрати.
4. Јас Те прославив на земјата, го доврšив делото што Ми го даде да го извршам;
5. а сега, Татко, прослави Ме Ти, со Себе Самиот, со славата што ја имав кај Тебе, уште пред создавањето на светот.
6. Твоето Име им го јавив на луѓето, што Ми ги даде од светот. Твои беа, Ми ги даде Мене, и го запазија Твоето Слово.
7. Сега дознаа дека сè што си ми дал е од Тебе,
8. зашто зборовите што Ми ги даде им ги предадов ним, а тие ги примија и навистина сфатија дека излегов од Тебе, и поверуваа дека Ти Ме испрати.
9. Јас барам за нив. Не барам за светот, туку за оние кои Ми ги даде, зашто се Твои.
10. И сè што е Мое - Твое е, и Твоето е Мое; а јас се прославив во нив.
11. И не Сум повеќе во светот, туку тие се во светот, а Јас одам кај Тебе. Свети Татко, запази ги оние кои Ми ги даде, за да бидат едно, како што Сме и Ние.
12. Додека бев со нив, Јас ги чував во Твое име оние кои Ми ги даде и ги запазив, па ниеден од нив не загина, освен синот на гибелта, за да се исполни Писмото.
13. Сега одам кај Тебе, а ова го зборувам во светот, за Мојата радост да биде целосна во нив.
14. Јас им го предадов Твоето Слово, а светот ги замрази, зашто не се од светот, како што и Јас не Сум од светот.
15. Не барам од Тебе да ги земеш од светот, туку да ги запазиш од злиот.
16. Тие не се од светот, како што ни Јас не сум од светот.
17. Посвети ги во вистината; Твоето слово е вистината.
18. Како што Ти Ме испрати Мене во светот, така и Јас ги испратив во светот;
19. заради нив се посветувам Себеси, за да бидат и тие посветени во вистината.
20. Но не барам само за нив, туку и за оние кои преку нивните зборови ќе поверуваат во Мене,
21. за да бидат сите едно како што си Ти, Татко, во Мене, и Јас во Тебе, така и тие да бидат во нас, за да поверува светот дека Ти Ме испрати.
22. А славата што Ми ја даде им ја дадов ним, за да бидат едно, како што Сме Ние едно:
23. Јас во нив, а Ти во Мене, за да се усовршат во единство, та светот да знае дека Ти Ме испрати, и дека ги љубеше нив како што Ме љубеше Мене.
24. Татко, сакам оние што Ми ги даде да бидат со Мене таму каде што Сум Јас, за да ја гледаат Мојата слава што Ми ја даде, зашто Ти Ме љубеше уште пред создавањето на светот.
25. Праведен Татко, иако светот не Те позна, Јас Те познавав, а овие спознаа дека Ти Ме прати.
26. Им го објавив Твоето име и ќе го објавувам, па љубовта, со која Ме засака, да биде во нив и Јас во нив.'

Глава 18

1. Штом го рече тоа, Исус излезе со Своите ученици преку потокот Кедрон, каде што имаше градина во која влезе со Своите ученици.
2. А Јуда, Неговиот предавник, го знаеше тоа место, зашто Исус често се состануваше со Своите ученици таму.
3. Тогаш Јуда и една чета војници и служители на првосвештениците и фарисеите, дојде таму со светилки, факли и оружје.
4. А Исус, знаејќи сѐ што ќе се случи со Него, истапи и им рече: 'Кого го барате?'
5. Му одговорија: 'Исус Назареќанецот.' Исус им рече: 'Јас Сум.' А со нив стоеше и Јуда, Неговиот предавник.
6. А кога им рече:'Јас Сум', се тргнаа назад и паднаа наземи.
7. Тогаш пак ги праша: 'Кого го барате?' А тие рекоа: 'Исус Назареќанецот!'
8. Исус им одговори: 'Ви реков дека Јас Сум; и затоа, ако Ме барате Мене, пуштете ги овие да си одат!',
9. за да се исполни словото што го рече: 'Не загубив ниту еден од тие, што Ми ги даде.'
10. А Симон Петар имаше меч, го извлече, го удри слугата на врховниот свештеник и му го отсече десното уво. Името на слугата му беше Малх.
11. Тогаш Исус му рече на Петар: 'Стави го мечот во ножницата! Зар да не ја испијам чашата, што ми ја даде Таткото?'
12. Тогаш четата војници, заповедникот и еврејските слуги, Го фатија Исуса, Го врзаа
13. и Го одведоа прво кај Ана; имено, тој му беше тест на Кајафа, кој таа година беше врховен свештеник.
14. А Кајафа беше оној кој ги посоветува Евреите дека е подобро да умре еден човек за народот.
15. По Исуса одеа Симон Петар и еден друг ученик. Ученикот му беше познат на врховниот свештеник, па влезе со Исус во дворот на врховниот свештеник.
16. А Петар стоеше надвор, пред вратата. Тогаш другиот ученик, кој му беше познат на врховниот свештеник, излезе, проговори со вратарката и го воведе Петар.
17. Притоа слугинката вратарка му рече на Петар: 'Да не си и ти еден од учениците на овој Човек?' Тој рече: 'Не сум.'
18. А слугите и присутните беа запалиле оган, стоеја и се грееја, зашто беше студено. И Петар стоеше со нив и се грееше.
19. Врховниот свештеник, пак, Го праша Исус за Неговите ученици и за Неговото учење.
20. Исус му одговори: 'Јас му зборував на светот јавно, секогаш поучував во синагогите и во Храмот, каде што се собираат сите Евреи, и ништо не говорев тајно.
21. Зошто Ме испрашуваш Мене? Прашај ги оние кои слушаа што им зборував, тие знаат што им зборував.'
22. Кога го рече тоа, еден од присутните Го удри Исуса по образот и рече: 'Така ли му одговараш на врховниот свештеник?'
23. Исус му одговори: 'Ако реков лошо, докажи дека е лошо, а ако реков добро, зошто Ме удираш?'
24. Тогаш Ана Го прати врзан кај врховниот свештеник Кајафа.
25. А Симон Петар стоеше таму и се грееше. И му рекоа: 'Да не си и ти од Неговите ученици?' Тој одрече: 'Не сум.'
26. Еден од слугите на врховниот свештеник, роднина на оној кому Петар му го отсече увото, рече: 'Не те видов ли јас во градината со Него?'
27. Но Петар одрече пак и веднаш запеа петел.
28. Тогаш го одведоа Исус откај Кајафа во преторијата. Беше рано утро, и тие не влегоа во преторијата, за да не се осквернат, туку да можат да јадат на Пасха.
29. Затоа Пилат излезе пред нив и рече: 'Какво обвинение поднесувате против човеков?'

30. Му одговорија: 'Ако Овој не беше злосторник, немаше да ти Го предадеме.'
31. А Пилат им рече: 'Земете Го и судете Му според вашиот закон.' Евреите му рекоа: 'Нам не ни е дозволено да убиеме некого,'
32. со што се исполни Исусовиот збор, со кој навести со каква смрт ќе умре.
33. Потоа Пилат се врати во преторијата, Го повика Исус и Му рече: 'Ти ли си Царот на Евреите?'
34. Исус одговори: 'Го зборуваш ли тоа сам од себе, или други ти кажаа за Мене?'
35. Пилат одговори: 'Јас Евреин ли сум ? Твојот народ и првосвештениците мене ми Те предадоа. Што си сторил?'
36. Исус одговори: 'Моето Царство не е од овој свет, ако Моето Царство беше од овој свет, Моите приврзаници ќе се бореа да не им бидам предаден на Евреите, но Моето Царство не е тукашно.'
37. Пилат на тоа му рече: 'Значи, Цар си!' Исус одговори: 'Ти велиш дека Сум Цар. Јас се родив за тоа и за тоа дојдов на светот, за да сведочам за вистината. Секој кој е од вистината, го слуша Мојот глас.'
38. Пилат Му рече: 'Што е вистина?' Откако го изусти ова, излезе пак пред Евреите и им рече: 'Јас не наоѓам никаква вина во Него.
39. А кај вас е обичај да ви пуштам по еден затвореник на Пасха. Па, сакате ли да ви Го пуштам Царот на Евреите?'
40. Тогаш тие повторно се огласија, извикувајќи: 'Не Овој, туку Бараба!' А Бараба беше разбојник.

Глава 19

1. Тогаш Пилат Го фати Исуса и Го даде да го камшикуваат.
2. А војниците исплетоа венец од трње, Му го ставија на главата, Го наметнаа со пурпурна наметка,
3. се приближија до Него и извикуваа: 'Те поздравуваме, еврејски цару!' И Му удираа шлаканици.
4. Потоа Пилат излезе пак и им рече: 'Еве, Го изведувам пред вас, за да знаете дека не наоѓам никаква вина во Него.'
5. Тогаш Исус излезе надвор, носејќи трнов венец и пурпурна наметка, а Пилат им рече: 'Еве Го Човекот!'
6. Но, кога првосвештениците и нивните слуги Го видоа, извикаа, велејќи: 'Распни Го! Распни Го!' Пилат им рече: 'Земете Го вие и распнете Го, зашто јас не наоѓам вина во Него.'
7. Евреите Му одговорија: 'Ние имаме закон и според законот Тој треба да умре, зашто Сам се стори Божји Син.'
8. А кога Пилат го чу тоа, уште повеќе се уплаши.
9. И пак влезе во преторијата и Му рече на Исус: 'Од кај си Ти?' Но Исус не му одговори.
10. Затоа Пилат Му рече: 'Мене ли не ми зборуваш? Не знаеш ли дека имам власт да Те ослободам и дека имам власт да Те распнам?'
11. Исус одговори: 'Ти не ќе имаше никаква власт над Мене, ако не ти беше дадена озгора; затоа поголем грев има оној кој Ме предаде на тебе.'
12. Од тој момент Пилат настојуваше да Го ослободи, но Евреите викаа, велејќи: 'Ако Го ослободиш Овој, не си му пријател на цезарот. Секој кој се прави цар, противник му е на цезарот!'
13. Штом Пилат ги чу тие зборови, го изведе Исус надвор и седна на судскиот стол, на местото што се вика Плочник, а на хебрејски Габата.
14. Беше ден на подготовката за Пасха, околу шестиот час, па им рече на Евреите: 'Еве ви Го царот!'
15. Но тие викаа: 'Убиј Го, убиј Го! Распни Го!' Пилат им рече: 'Вашиот Цар ли да Го распнам?' Првосвештениците одговорија: 'Ние немаме друг цар, освен цезарот!'
16. Тогаш им го предаде за да биде распнат.
17. Тие го преземоа Исуса, а Тој, носејќи го Својот крст, излезе на местото наречено Черепница, а на хебрејски Голгота;
18. каде што Го распнаа меѓу други двајца, од едната и од другата страна, а Исус во средината.
19. А Пилат напиша натпис и го стави на крстот. На него беше напишано: 'ИСУС ОД НАЗАРЕТ, ЦАРОТ НА ЕВРЕИТЕ.'
20. Натписот го прочитаа мнозина Евреи, зашто местото, каде што беше распнат Исус, беше близу до градот, а беше напишано на хебрејски, латински и грчки.
21. Тогаш јудејските првосвештеници му рекоа на Пилат: 'Не пишувај: 'Царот на Евреите,' туку дека Тој рекол: 'Јас Сум Царот на Евреите.'
22. Пилат одговори: 'Тоа што го напишав, го напишав!'
23. А војниците, откако Го распнаа Исус, ја зедоа Неговата облека и ја разделија на четири дела, по еден дел на секој војник; исто така и туниката, а туниката не беше шиена, туку целата исткаена озгора додолу;
24. па си рекоа меѓу себе: 'Да не ја кинеме, туку да фрлиме жрепка за неа кому да му падне!', за да се исполни Писмото: 'Ја разделија меѓу себе Мојата облека, и фрлија жрепка за Мојата туника.' Така постапија војниците.
25. А кај Исусовиот крст стоеја мајка Му и сестрата на Неговата мајка, Марија на Клопа и Марија од Магдала.
26. А Исус, штом ја виде Својата мајка, и покрај неа ученикот кого го љубеше, и рече на мајка

си: 'Жено, ете ти син!'
27. Потоа му рече на ученикот: 'Ете ти мајка! ' И од тој час ученикот ја зеде кај себе.
28. По ова Исус, знаејќи дека е свршено сѐ, за да се исполни Писмото, рече: 'Жеден Сум!'
29. Таму имаше сад, полн со оцет, па закачија на трска сунѓер натопен во оцет и Му го поднесоа до устата.
30. Штом Исус го вкуси оцетот, рече: 'Заврши!', па ја наведна главата и го предаде духот.
31. Бидејќи беше денот на подготовка, Евреите, за да не останат телата на крстот во саботниот ден (зашто таа сабота беше голем ден), го замолија Пилат да им ги скршат нозете и да ги симнат.
32. Така, војниците дојдоа и им ги скршија нозете на едниот и на другиот, кои беа распнати со Него.
33. А кога дојдоа до Исус и видоа дека е веќе умрен, не Му ги скршија нозете,
34. туку еден од војниците го прободе со копје меѓу ребрата, и веднаш потече крв и вода.
35. Оној што сѐ виде, посведочи, а неговото сведоштво е веродостојно и тој знае дека ја зборува вистината, та и вие да поверувате.
36. Имено, сето ова се случи за да се исполни Писмото: 'Негова коска нема да биде скршена.'
37. А на друго место Писмото вели: 'Ќе гледаат на Оној Кого Го прободија!'
38. Потоа Јосиф од Ариматеја, кој беше Исусов ученик, но таен поради страв од Евреите, го замоли Пилата да го земе Исусовото тело, а Пилат му дозволи. Така, тој дојде и го зеде Неговото тело.
39. А стигна и Никодим, кој првпат дојде кај Него ноќе и донесе околу педесет литри смеса од смирна и алој.
40. Тие Го зедоа Исусовото тело и го завиткаа, според јудејскиот погребен обичај, во ленено платно со мириси.
41. А на местото, каде што беше распнат, имаше градина, а во градината нов гроб во кој уште никој не беше положен.
42. Таму Го положија Исус, заради јудејскиот ден на подготовка, зашто гробот беше близу.

Глава 20

1. Во првиот ден на седмицата, многу рано, додека уште беше темно, Марија од Магдала дојде на гробот и виде дека каменот од гробот е поместен.
2. Тогаш отрча и дојде кај Симон Петар и кај другиот ученик, кого Исус го љубеше, и им рече: 'Го изнесле Господ од гробот и не знаеме каде Го положиле.'
3. А Петар и другиот ученик излегоа и тргнаа кон гробот.
4. И двајцата трчаа заедно, но другиот ученик трчаше побргу од Петар и стигна прв до гробот.
5. Тој се наведна и виде ленени повои, како лежат, но не влезе внатре.
6. По него стигна Симон Петар, па влезе во гробот и ги виде повоите како лежат,
7. а крпата, што беше на Неговата глава, не беше заедно со повоите, туку беше свиткана одделно, на едно место.
8. Тогаш влезе и другиот ученик, кој стигна прв до гробот, и виде и поверува.
9. Зашто сѐ уште не го беа разбрале Писмото, дека Тој треба да воскресне од мртвите.
10. Тогаш учениците повторно се вратија дома.
11. А Марија стоеше надвор, кај гробот и плачеше. Додека плачеше, таа се наведна и погледна во гробот
12. и виде два ангела во бело, како седат таму каде што лежеше Исусовото тело, едниот кај главата, а другиот кај нозете.
13. Тие и рекоа: 'Жено, зошто плачеш?' Им одговори: 'Го однесле мојот Господ и не знам каде Го положиле?'
14. Откако го рече тоа, се сврте и Го виде Исуса како стои, но не знаеше дека е Исус.
15. Исус и рече:'Жено, зошто плачеш? Кого бараш?' Мислејќи дека е градинарот, таа Му рече: 'Господине, ако си Го изнесол ти, кажи ми каде си Го положил, и јас ќе Го земам!'
16. Исус и рече: 'Марија!' Таа се заврти и на хебрејски Му рече: 'Рабуни!' (што значи Учител).
17. Исус и рече: 'Остави Ме, зашто сѐ уште не сум појден горе кај Таткото. Туку оди кај Моите браќа и кажи им: 'Се враќам кај Мојот Татко и вашиот Татко, кај Мојот Бог и вашиот Бог.''
18. Марија од Магдала дојде и им јави на учениците дека Го видела Господ и дека Тој тоа и го рекол.
19. А вечерта, на истиот прв ден од седмицата, додека вратата каде што беа собрани учениците беше затворена поради страв од Евреите, Исус дојде, застана насреде и им рече: 'Мир вам!'
20. Откако го рече тоа, им ги покажа рацете и ребрата. Учениците се зарадуваа кога Го видоа Господ.
21. Затоа Исус пак им рече: 'Мир вам! Како што Ме прати Таткото и Јас ве праќам!'
22. Кога им го кажа ова, дувна на нив и им рече: 'Примете Свет Дух!
23. На оние на коишто ќе им ги простите гревовите, простени им се; на кои ќе им ги задржите, задржани им се!'
24. А Тома, наречен Близнак, еден од дванаесеттемина, не беше со нив кога дојде Исус.
25. Затоа другите ученици му рекоа: 'Го видовме Господ!' А тој им рече: 'Додека не ги видам раните од клинците на Неговите раце и не го ставам мојот прст во раните од клинците и не ја ставам мојата рака меѓу Неговите ребра, нема да поверувам.'
26. А по осум дни, Неговите ученици пак беа внатре, и Тома со нив. Додека вратата беше затворена, Исус дојде, застана сред нив и им рече: 'Мир вам!'
27. Потоа му рече на Тома: 'Дај го твојот прст ваму и види ми ги рацете, и дај ја твојата рака и стави ја во Моите ребра, и не биди неверен, туку верен!'
28. Тома изусти, велејќи Му: 'Мојот Господ и мојот Бог!'
29. Исус му рече: 'Поверува, бидејќи Ме виде. Блажени се оние коишто не виделе, а поверувале.'
30. И многу други чудотворни знаци направи Исус пред учениците, што не се запишани во оваа книга;

31. а овие се запишани, за да верувате дека Исус е Христос, Божјиот Син, и верувајќи да имате живот во Неговото име.

Глава 21

1. Потоа Исус им се јави пак на учениците, на Тибериското Море, и тоа стана вака:
2. Симон Петар и Тома, наречен Близнак, Натанаил од галилејскиот град Кана и Зебедеевите синови, и други двајца од Неговите ученици, беа заедно.
3. Симон Петар им рече: 'Ќе одам да ловам риби!' Тие му рекоа: 'Ќе дојдеме и ние со тебе.' И така, излегоа и влегоа во коработ, но таа ноќ не уловија ништо.
4. А кога се раздену ваше, Исус застана на брегот, но учениците не знаеја дека е Тој.
5. Исус им рече: 'Чеда, немате нешто уловено, нели?' Му одговорија: 'Немаме.'
6. А Тој им рече: 'Врлете ја мрежата оддесно на коработ и ќе фатите.' И така, ја фрлија, и веќе не можеа да ја извлечат од многуте риби.
7. Тогаш ученикот, кого Исус го љубеше, му рече на Петар: 'Тоа е Господ.' Штом Симон Петар чу дека е Господ, си ја препаша облеката (зашто беше необлечен) и скокна во морето.
8. А другите ученици дојдоа со коработ, влечејќи ја мрежата со рибите, зашто не беа далеку од копното - туку околу двеста лакти.
9. Кога излегоа на брегот, видоа: направен жар, риби врз него и леб.
10. Исус им рече: 'Донесете од рибите што ги уловивте сега!'
11. Тогаш Симон Петар стана и ја извлече мрежата на брегот полна со големи риби, сто педесет и три. Иако беа толку многу, мрежата не се скина.
12. Исус им рече: 'Дојдете да јадете!' А ниеден од учениците не се осмели да Го праша: 'Кој си Ти?', зашто знаеја дека е Господ.
13. Исус дојде, зеде леб и им даде, и риби, исто така.
14. Тоа веќе беше третпат како Исус им се јави на учениците откако воскресна од мртвите.
15. Откако завршија со појадокот, Исус го праша Симон Петар: 'Симоне, сине Јованов, Ме љубиш ли повеќе отколку другиве?' Тој Му одговори: 'Да, Господи, Ти знаеш дека Те сакам.' Тогаш Му рече: 'Паси ги Моите јагниња!'
16. Потоа вторпат го праша: 'Симоне, сине Јованов, Ме љубиш ли?' Овој му одговори: 'Да, Господи, Ти знаеш дека Те сакам.' Исус Му рече: 'Води ги Моите овци на пасење!'
17. И третпат го праша: 'Симоне, сине Јованов, Ме сакаш ли?' Петар се нажали дека по третпат го праша: 'Ме сакаш ли?', и Му одговори: 'Господи, Ти знаеш сѐ, Ти знаеш дека Те сакам.' Исус му рече: 'Паси ги Моите овци!
18. Вистина, вистина, ти велам: кога беше помлад се опашуваше сам и одеше каде што сакаше, но кога ќе остарееш, ќе ги рашириш своите раце и друг ќе те опашува и ќе те води каде што не сакаш.'
19. А ова го рече, назначувајќи со каква смрт тој ќе Го прослави Бог. Откако го кажа тоа, му рече: 'Оди по Мене!'
20. А Петар, кога се обѕрна, виде дека по нив оди ученикот кого Исус го милуваше, кој на вечерата се потпре на Исусовите гради и рече: 'Господи, кој ќе Те предаде?'
21. Штом Петар го виде, Го праша Исуса: 'Господи, а што е со овој?'
22. Исус му рече: 'Ако сакам тој да остане додека не дојдам, што те засега тоа тебе? Ти следи Ме!'
23. Така се разнесе овој збор меѓу браќата, дека оној ученик, нема да умре. А Исус не му рече дека нема да умре, туку: 'Ако сакам тој да остане додека не дојдам, што те засега тоа тебе?'
24. Овој е ученикот кој сведочи за ова и кој го напиша ова и знаеме дека неговото сведоштво е вистинито.
25. А има и многу други работи што ги направи Исус, туку ако се запишуваше секоја од нив, мислам дека напишаните книги не ќе можеа да бидат сместени во целиот свет.

Дела Ап.

Глава 1

1. Првиот извештај, о Теофиле, го составив за сето она што Исус почна да го прави и поучува,
2. до денот кога беше вознесен, откако преку Светиот Дух им даде заповеди на апостолите
што ги беше избрал,
3. на кои им се претстави жив по Своето страдање, со многу несоборливи докази: јавувајќи им
се четириесет дена и зборувајќи им за Божјото царство.
4. Кога се состануваше со нив, им заповеда да не се оддалечуваат од Ерусалим, туку да го
чекаат ветувањето на Таткото, 'за кое чувте од Мене':
5. зашто навистина Јован крштаваше со вода, а вие, не по многу дни, ќе бидете крстени со
Светиот Дух!'
6. А кога се собраа, Го прашаа, велејќи: 'Господи, сега ли ќе го востановиш царството на
Израел?'
7. А Тој им рече: 'Не е ваше да ги знаете времињата и периодите, што Таткото ги одреди со
Својата власт.
8. Туку ќе примите сила, кога Светиот Дух ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци како во
Ерусалим, така и во цела Јудеја, и Самарија, па сѐ до крајот на земјата.'
9. И велејќи го тоа, се вознесе пред нивните очи, и облак Го зеде од пред нивните погледи.
10. И додека гледаа настојчиво кон небото, додека Тој си заминуваше, ете двајца мажи во бела
облека застанаа крај нив
11. и им рекоа: 'Мажи, Галилејци, зошто стоите и гледате во небото? Овој Исус Кој од вас се
вознесе на небото, ќе дојде така како што Го видовте да оди на небото.'
12. Тогаш се вратија во Ерусалим од гората, која се вика Маслинова, што е близу до Ерусалим,
колку еден саботен ден одење.
13. И кога влегоа во куќата, се искачија во горната соба, каде што чекаа: Петар и Јован, Јаков и
Андреј, Вилип и Тома, Бартоломеј и Матеј, Јаков Алфеев и Симон Зилот, и Јуда братот на Јаков.
14. Сите овие еднодушно и едностојно беа во молитва, заедно со некои жени, со Марија,
мајката на Исус, и со Неговите браќа.
15. А во тие дни Петар застана меѓу браќата (а беа собрани околу сто и дваесет души), и рече:
16. 'Браќа, требаше да се исполни Писмото што Светиот Дух го прорече преку Давидовата уста
за Јуда, кој им беше предводник на оние кои Го фатија Исус;
17. тој беше вброен меѓу нас и имаше добиено дел од службата.
18. (Имено, тој стекна нива со незаслужена награда; и падна ничкум, се растрбуши по
средината и се свлечка целата негова утроба.
19. И тоа им стана познато на сите жители на Ерусалим, па нивата на нивниот јазик беше
наречена Акелдама, што значи 'Крвна нива.')
20. Зашто, во свитокот на Псалмите е напишано: 'Неговиот имот да биде испустен и никој да
не живее во него!' и 'Неговата служба да ја прими друг.'
21. И така, треба еден од луѓето, што беа со нас за сето време, откако Господ Исус дојде кај
нас и си отиде од нас,
22. почнувајќи од Јовановото крштавање до денот кога се вознесе од нас, еден од нив треба да
биде заедно со нас сведок на Неговото воскресение.'
23. И предложија двајца: Јосиф, наречен Барнаба (со прекар и Јуст), и Матиј.
24. И се помолија, велејќи: 'Господи, Ти Кој ги познаваш срцата на сите, покажи ни кого го
имаш избрано од овие двајца,
25. да земе дел во оваа служба и апостолство, од кое отпадна Јуда, за да појде на своето
место!'
26. И фрлија жрепка за нив, а жрепката падна за Матиј па него го вброија во единаесетте
апостоли.

Глава 2

1. А кога дојде Педесетница, сите беа собрани на едно место.
2. И одненадеж се чу бучава од небото, како кога дува силен ветар и ја исполни целата куќа во која седеа.
3. И им се појавија јазици како од пламен, кои се разделија и над секого од нив застана по еден.
4. И тие сите се исполнија со Светиот Дух и почнаа да зборуваат на други јазици, како што Духот им даваше да говорат.
5. А тогаш во Ерусалим живееја Евреи, побожни луѓе, од сите народи под небото.
6. И кога се чу бучавата, се собра многу народ и се збуни, зашто секој слушаше како зборуваат на неговиот јазик.
7. Сите се восхитуваа и се чудеа, велејќи: 'Ете, зар сите овие што зборуваат не се Галилејци?
8. Тогаш, како ние го слушаме секој својот мајчин јазик?
9. Парќаните, Мидијците, Еламитите, жителите на Месопотамија, на Јудеја и Кападокија, на Понт и Азија,
10. на Вригија и Памфилија, на Египет и од пределите на Либија, околу Киринија, и Римјаните кои се тука привремено, Евреи и прозелити,
11. Криќани и Арабјани, ги слушаме како зборуваат на нашите јазици за Божјите моќни дела?'
12. Сите се восхитуваа и во недоумение си велеа еден на друг: 'Што може да биде ова?'
13. Други пак се подбиваа и велеа: 'Се препиле слатко вино!'
14. А Петар стана, со единаесеттемина, го поткрена гласот и им рече: 'Луѓе, Евреи и сите вие кои живеете во Ерусалим! Знајте го ова и послушајте ги моите зборови!
15. Овие луѓе не се пијани, како што мислите вие, зашто е одвај третиот час на денот,
16. туку тоа е кажаното преку пророкот Јоил:
17. 'Во последните денови' - вели Господ - 'ќе излеам од Својот Дух над секого, и вашите синови и вашите ќерки ќе пророкуваат, и вашите момчиња ќе гледаат виденија, а вашите старци ќе сонуваат соништа.
18. Исто така, во тоа време, над Моите слуги и над Моите слугинки ќе излеам од Мојот Дух и тие ќе пророкуваат.
19. Ќе правам чуда горе на небото и знаци долу на земјата: крв, оган и чад.
20. Сонцето ќе се претвори во темнина, и месечината во крв, пред доаѓањето на великиот и славен Господов ден.
21. И секој кој ќе го повика Господовото име, ќе биде спасен.'
22. Мажи Израелци! Чујте ги овие зборови: Бог во вашата средина Го потврди Исус Назареќанецот со сили, со чуда и со знаци, што Бог преку Него ги направи меѓу вас, како што знаете и самите.
23. Вие, Него, откако беше предаден според предодредената Божја волја и предзнаење, преку рацете на беззакониците Го распнавте и Го убивте,
24. но Бог Го крена и Го ослободи од смртната агонија, зашто не можеше смртта да Го задржи.
25. Зашто Давид вели за Него: 'Постојано Го гледам Господ пред себе; Тој ми е оддесно, за да не се поместам.
26. Затоа се развесели моето срце и се зарадува мојот јазик, а и моето тело ќе почива во надеж;
27. зашто нема да ја оставиш мојата душа во Адот, ниту ќе дозволиш Твојот Светец да види распаѓање.
28. Ти ми ги покажа патиштата на животот, ќе ме исполниш со веселба со Своето присуство.'
29. Мажи, браќа! Можам слободно да ви кажам за патријархот Давид дека умре и беше погребан и дека неговиот гроб е меѓу нас до ден денешен.
30. Но, бидејќи беше пророк и бидејќи знаеше дека Бог му се заколна оти од родот на неговите бедра некого ќе постави на неговиот престол,

31. предвидувајќи за воскресението на Христос, рече: 'Ниту беше оставен во Адот, ниту телото Му виде распаѓање.'
32. Бог Го воскресна Овој Исус, за што ние сите сме сведоци.
33. И така подигнат на Божјата десна страна, Тој Го прими од Таткото ветувањето на Светиот Дух, го излеа ова што го гледате и слушате.
34. Зашто Давид не се вознесе на небесата, но самиот изусти: 'Му рече Господ на мојот Господ: седни оддесно до Мене,
35. додека не ги соборам Твоите непријатели како подношка на Твоите нозе!'
36. И така, целиот Израелов дом сигурно нека знае дека Него Бог Го направи Господ и Христос - Овој Исус, Кого вие Го распнавте!'
37. А кога го чуја тоа, ги засегна во срцето, и му рекоа на Петар и на другите апостоли: 'Мажи, браќа, што да правиме?'
38. А Петар им рече: 'Покајте се! И секој од вас нека се крсти во името на Исус Христос за на проштавањето на вашите гревови, и ќе го примите дарот на Светиот Дух.
39. Зашто, ова ветување е за вас, за вашите деца и за сите далечни, колку што Господ, нашиот Бог, ќе ги повика кај Себе си.'
40. И уште со многу други зборови сериозно сведочеше и ги предупредуваше, велејќи: 'Спасете се од ова расипано поколение!'
41. И така, се крстија оние кои го прифатија неговото слово, па тој ден се приклучија околу три илјади души.
42. И беа постојани во апостолското учење и во општењето; во раскршувањето на лебот и во молитвите.
43. А страв и трепет влезе во секоја душа, зашто преку апостолите стануваа многу чуда и знаци.
44. А сите оние кои поверуваа, беа заедно и сѐ им беше општо.
45. И ги продаваа своите сопствености и имоти и тоа го споделуваа со сите, секому според неговата потреба.
46. И секој ден беа постојано и еднодушно во Храмот; раскршуваа леб по домовите и јадеа со радост и со чисто срце,
47. Го славеа Бог и беа мили кај целиот народ. А секој ден Господ ги придодаваше оние кои се спасуваа.

Глава 3

1. Петар и Јован одеа кон Храмот во деветтиот молитвен час.
2. Тогаш донесоа еден човек, сакат од раѓањето. Него го поставуваа секој ден пред портата на Храмот, наречена Красна, за да проси милостина од оние што влегуваа во Храмот.
3. Штом ги виде Петар и Јован кога сакаа да влезат во Храмот, запроси да му дадат милостина.
4. А Петар, како и Јован, се загледа во него и му рече: 'Погледај нѐ!'
5. А тој обрна внимание на нив, очекувајќи да добие нешто.
6. Но Петар му рече: 'Немам ни сребро ни злато, а што имам, тоа ти давам: во името на Исус Христос Назареќанецот, оди!'
7. Тогаш го фати за десната рака и го исправи, а нему веднаш му зацврснаа стапалата и глуждовите, па
8. скокна, се исправи и прооде; и влезе со нив во Храмот, скокајќи и фалејќи Го Бог.
9. Така, целиот народ го виде како оди и како Го фали Бог.
10. И го препознаа дека тоа е оној што седеше пред Красната Порта на Храмот заради милостина, тики се исполнија со восхит и беа вон себеси поради тоа што му се случи.
11. Бидејќи тој не се одделуваше од Петар и Јован, восхитениот народ се собра околу нив во тремот наречен Соломонов.
12. А кога Петар го виде тоа, му се обрати на народот: 'Мажи Израелци, зошто се чудите на ова или зошто гледате на нас, небаре ние со своја сила или побожност направивме овој да оди?
13. Богот на Авраам, Исак и Јаков, Богот на нашите татковци, Го прослави својот Слуга Исус, Кого вие Го предадовте и од Кого се откажавте пред Пилат, кога тој реши да Го ослободи.
14. Вие се откажавте од Светецот и Праведникот, и молевте да ви биде ослободен еден убиец,
15. а Го убивте Творецот на животот, Кого Бог Го воскресна од мртвите, за што ние сме сведоци.
16. И врз основа на верата во Неговото име, овој кого го гледате и познавате го зацврсти Неговото име. А верата до која доаѓаме преку Него, му даде целосно здравје пред сите вас.
17. А сега, браќа, знам дека вие како и вашите началници, го направивте тоа од незнаење.
18. Но, Бог на тој начин го исполни тоа што го навестуваше однапред, преку устата на сите пророци: дека Неговиот Христос ќе пострада.
19. Затоа, покајте се и обратете се, за да ви бидат избришани гревовите, та од Господовото присуство да дојдат времиња на освежување,
20. и да Го испрати Исус, Претскажаниот за вас Христос,
21. Кого небото треба да Го прими до времето кога ќе биде обновено сѐ, за кое Бог зборуваше од дамнина преку устата на Своите свети пророци.
22. Зашто Мојсеј беше рекол: 'Господ Бог ќе ви издигне од вашите браќа Пророк како мене, бидете Му послушни во сѐ што ќе ви рече!
23. А секоја душа, која не ќе Го послуша тој Пророк, ќе биде истребена од народот.'
24. А и сите пророци од Самоил па натаму, кои зборуваа, ги навестуваа овие денови.
25. Вие сте синови на пророците и на Заветот што Бог го склучи со вашите татковци кога му рече на Авраам: 'Во твоето Семе ќе бидат благословени сите племиња на земјата.'
26. Бог првин вам ви Го подигна Својот Слуга и ви Го испрати за да ве благослови, со тоа што секого од вас ќе го одврати од вашите беззаконија.'

Глава 4

1. Додека тие уште му зборуваа на народот, им пристапија свештениците, управителот на Храмот и садукеите,
2. вознемирени многу поради тоа што го поучуваа народот и навестуваа воскресение на мртвите во Исус.
3. И ставија раце врз нив и ги фрлија во зандана, до следниот ден, зашто веќе беше вечер.
4. А многина од оние кои го чуја словото поверуваа, така што бројот на мажите се зголеми до пет илјади.
5. Утредента се собраа во Ерусалим нивните началници, старешини, законици
6. и врховниот свештеник Ана, Кајафа, Јован и Александар, и колку што ги имаше од првосвештеничкиот род.
7. И кога ги поставија на средина, ги прашуваа: 'Со каква сила, или во чие име го направивте тоа?'
8. Тогаш Петар, исполнет со Светиот Дух, им рече: 'Народни управители и старешини!
9. Ако денес нè испитувате за доброто дело направено на еден болен, од што тој беше исцелен,
10. тогаш да знаете сите вие и сиот израелски народ, дека во името на Исус Христос од Назарет, кого вие Го распнавте, а Кого Бог Го воскресна од мртвите, преку Него овој човек стои здрав пред вас.
11. Тој е каменот што вие, ѕидарите, го отфрливте, а кој стана камен темелник.
12. Нема спасение во никој друг, ниту има друго име под небото дадено на луѓето, преку кое мора да бидеме спасени.'
13. Кога ја видоа смелоста на Петар и Јован, и кога забележаа дека се неписмени и неуки луѓе, се чудеа; а ги препознаа дека беа со Исус,
14. но гледајќи го исцелениот човек, како стои со нив, немаа што да им приговорат.
15. Но откако им наредија да излезат од Големиот совет, почнаа да се советуваат меѓу себе, велејќи:
16. 'Што да правиме со овие луѓе? Зашто на сите жители на Ерусалим им е познато дека значајно чудо се јави преку нив, а ние не можеме да го порекнеме!
17. Но за да не се разгласува понатаму меѓу народот, да им се заканиме да не му зборуваат веќе никому во тоа име!'
18. Тогаш ги повикаа внатре и им заповедаа воопшто да не зборуваат, ниту да поучуваат во Исусовото име.
19. Но, Петар и Јован одговорија, велејќи им: 'Справедливо ли е пред Бога, да ве слушаме вас повеќе отколку Него? Сами пресудете!
20. Зашто, ние не можеме да не зборуваме за она што го видовме и чувме.'
21. И бидејќи не најдоа пат и начин како да ги казнат, им се заканија уште еднаш и ги пуштија поради народот, зашто сите Го славеа Бог за она што се случи.
22. Човекот, над кого се случи ова чудо на исцелување, имаше повеќе од четириесет години.
23. Штом беа пуштени на слобода, дојдоа при своите и им кажаа сè што им рекоа првосвештениците и старешините.
24. А тие, кога го чуја тоа, еднодушно го подигнаа гласот кон Бог и рекоа: 'Господаре, Ти си Оној Кој ги создаде небото и земјата, морето и сè што се наоѓа во нив!
25. Ти, преку Светиот Дух, со устата на Својот слуга Давид рече: 'Зошто се бунтуваат народите, и зошто племињата размислуваат за празни нешта?
26. Се дигнаа земните цареви, а владетелите се здружија против Господ и против Неговиот Христос.'
27. Навистина се здружија во овој град Ирод и Понтиј Пилат, заедно со народите и со израелскиот народ, против Твојот свет Слуга Исус, Кого Го помаза,
28. за да го направат она што Твојата рака и Твојата волја однапред определиле да се збидне.

29. А сега, Господи, погледни на нивните закани, и дај им на Твоите слуги да го навестуваат Твоето слово сосема смело,
30. протегнувајќи ја при тоа Твојата рака, за да се случуваат исцелувања, знаци и чуда, преку името на Твојот свет Слуга Исус!'
31. А кога се помолија, се затресе местото каде што беа собрани. И сите се исполнија со Светиот Дух и смело го навестуваа Божјото слово.
32. А народот кој поверува имаше едно срце и една душа, и никој не велеше дека нешто од неговиот имот е негово, туку сѐ им беше заедничко.
33. Апостолите сведочеа со голема сила за воскресението на Господ Исус и изобилна благодат имаше над сите нив.
34. И никој меѓу нив не беше во скудност, зашто сите кои имаа ниви и куќи ги продаваа, а добивката од продаденото ја донесуваа и ја ставаа пред нозете на апостолите.
35. И секому му се даваше колку што му беше потребно.
36. А Јосиф, кого апостолите го нарекоа Барнаба (што значи син на утехата), левит, родум од Кипар,
37. имаше нива, што ја продаде, а добиеното го донесе и го стави пред нозете на апостолите.

Глава 5

1. А еден човек по име Ананиј, со својата жена Сапфира, продаде еден имот
2. и задржа од парите со знаење на жената, а донесе еден дел и го стави пред нозете на апостолите.
3. Но, Петар му рече: 'Ананиј, зошто сатаната го исполни твоето срце да Го измамиш Светиот Дух и да задржиш дел од парите од продадената нива?
4. Не беше ли твоја додека не беше продадена? И кога ја продаде, не беше ли во твоја власт? Зошто го науми тоа дело во своето срце? Ти не ги измами луѓето, туку Бог! '
5. Кога Ананиј ги чу зборовите, падна и издивна. И голем страв ги обзеде сите, кои чуја за тоа.
6. А помладите станаа, го обвија, го изнесоа и го погребаа.
7. А кога поминаа околу три часа, влезе и неговата жена, не знаејќи што станало.
8. И Петар ја праша: 'Кажи ми дали за толку ја продадовте нивата?' И таа рече: 'Да, за толку.'
9. А Петар и рече: 'Зошто се согласивте да Го искушувате Господовиот Дух? Еве! Веќе пред врата се нозете на оние, кои го погребаа твојот маж, тие ќе те изнесат и тебе!'
10. И веднаш падна до неговите нозе и издивна. А кога момчињата влегоа, ја најдоа мртва; ја изнесоа и ја погребаа покрај нејзиниот маж.
11. И голем страв ја опфати целата црква и сите кои го чуја тоа.
12. А преку рацете на апостолите се случуваа многу знаци и чуда кај народот, и сите беа еднодушни во Соломоновиот трем.
13. Од другите пак, никој не се осмелуваше да им се приклучи, меѓутоа народот ги почитуваше многу.
14. А сѐ повеќе верници во Господ, мажи и жени, се приклучуваа,
15. така што изнесуваа болни на улиците и ги полагаа на постели и носилки, за кога ќе помине Петар, барем неговата сенка да падне на некого од нив.
16. Се собираа во Ерусалим и мнозина од околните градови и носеа болни и измачувани од нечисти духови. И сите се исцелуваа.
17. Тогаш се подигна врховниот свештеник и сите што беа со него, всушност садукејската секта, се исполнија со завист,
18. ги фатија апостолите и ги фрлија во јавната зандана.
19. Но во ноќта, Господов ангел ги отвори вратите на занданата, ги изведе и им рече:
20. 'Одете, застанете во Храмот и говорете му ја на народот целата порака за овој Живот!'
21. Штом тие го слушнаа тоа, апостолите влегоа во Храмот пред разденување и поучуваа. А кога дојдоа врховниот свештеник и оние што беа со него, го свикаа Советот и сите старешини на синовите на Израел, и јавија во занданата да ги доведат.
22. А кога служителите дојдоа, не ги најдоа во занданата, се вратија и известија:
23. 'Ја најдовме занданата заклучена и добро обезбедена, и стражарите како стојат пред вратата; но кога ја отворивме - внатре не најдовме никого.'
24. Кога ги чуја овие зборови, првосвештениците и заповедникот на храмската стража беа во недоумение, прашувајќи се што би можело тоа да значи!
25. Но некој дојде и им јави: 'Ене ги мажите што ги затворивте во занданата, стојат во Храмот и го поучуваат народот.'
26. Тогаш заповедникот и служителите отидоа и ги доведоа, но не со сила (зашто се плашеа да не ги каменува народот).
27. И кога ги доведоа, ги поставија пред Советот, а врховниот свештеник ги праша:
28. 'Зар не ви забранивме строго да не го продолжите поучувањето во тоа име? А еве, вие го исполнивте Ерусалим со своето учење и сакате да ја фрлите крвта на Тој Човек врз нас.'
29. А Петар и апостолите одговорија и рекоа: 'Треба да Го слушаме Бог, а не луѓето.
30. Богот на нашите татковци Го воскресна Исуса, Кого вие Го обесивте на дрво.
31. Бог Го возвиши Него за Управител и Спасител на Својата десна страна, за да му даде покајание на Израел и проштавање на гревовите.

32. Сведоци за тоа сме ние и Светиот Дух, Кого Бог им Го даде на оние, кои Му се покоруваат.'
33. Кога го слушнаа тоа, ги засегна и се договорија да ги убијат,
34. но тогаш, во Советот стана еден фарисеј по име Гамалиел, учител по Законот, почитуван од целиот народ, и заповеда да ги изведат луѓето за кратко надвор;
35. па им рече: 'Мажи, Израелци! Помислете добро што ќе им направите на овие луѓе!
36. Зашто, пред некое време се крена Тевда, кој тврдеше за себе дека е некој, и кон него се приклучија околу четиристотини луѓе. Тој беше убиен, а сите што го слушаа се раштркаа и беа уништени.
37. По него, за време на пописот на населението, се крена Јуда од Галилеја и повлече многу народ по себе. И тој загина, а сите што го слушаа се раштркаа.
38. А во овој случај ви велам: оставете ги овие луѓе и пуштете ги! Зашто, ако овие замисли или овие дела се од луѓе - ќе пропаднат;
39. но, ако се од Бог, не ќе можете да ги уништите; внимавајте, да не станете борци против Бог!'
40. Тогаш го послушаа и ги повикаа апостолите, ги тепаа, им забранија да зборуваат за Исусовото име и ги пуштија.
41. Тие, пак, си заминаа од Советот со радост, зашто беа удостоени да претрпат понижување заради Неговото име.
42. И така, не престанаа секој ден да поучуваат и да проповедаат во Храмот и по куќите дека Исус е Христос.

Глава 6

1. Во тие денови, кога учениците се намножија, хеленистите се побунија против Евреите, зашто нивните вдовици беа запоставувани при секојдневната поделба на храна.
2. Тогаш дванаесеттемина ги повикаа сите ученици и рекоа: 'Не е праведно ние да го оставиме Божјото слово и да служиме околу трпезите.
3. Затоа, браќа, изберете меѓу себе седум мажи, со добар углед, полни со Светиот Дух и мудрост, на кои ќе им ја довериме таа должност,
4. а ние и натаму ќе им се оддадеме на молитвата и на службата на словото.'
5. И предлогот му се допадна на народот, па беа избрани: Стефан, маж полн со вера и со Светиот Дух, потоа: Вилип, Прохор, Никанор, Тимон, Пармен и Никола, прозелит од Антиох.
6. Нив ги поставија пред апостолите, а овие, кога се помолија, ги положија рацете на нив.
7. А Божјото слово растеше и бројот на учениците во Ерусалим значително се зголемуваше, а и мнозина свештеници и се потчинија на верата.
8. А Стефан, полн со благодат и сила, правеше големи чуда и знаци меѓу народот.
9. Но станаа некои од синагогата, наречени Либертинци, Киринејци, Александријци и оние од Киликија и Азија, и се препираа со Стефан.
10. Меѓутоа не можеа да им се противстават на мудроста и на Духот со кои тој зборуваше.
11. Тогаш наговорија луѓе, кои изјавија: 'Го чувме како хули против Мојсеј и Бог.'
12. Така ги побунија народот, старешините и закониците, и нагрвалија на него, го фатија и го изведоа пред Советот.
13. Донесоа и лажни сведоци, кои рекоа: 'Овој човек постојано хули против ова свето место и против Законот,
14. зашто чувме како зборува дека Овој Исус од Назарет, ќе го разурне ова место и ќе ги измени обичаите, што ни ги предаде Мојсеј.'
15. А сите, кои седеа во Советот втренчено гледаа во него и видоа дека лицето му беше како на ангел.

Глава 7

1. Тогаш врховниот свештеник праша: 'Точно ли е тоа?'
2. А тој рече: 'Луѓе, браќа и татковци, чујте! Бог на славата му се јави на нашиот татко Авраам, кога престојуваше во Месопотамија, пред да се насели во Харан,
3. и му рече: 'Излези од својата земја и својот род и појди во земјата што ќе ти ја покажам!'
4. Тогаш тој излезе од Халдејската земја и се насели во Харан. Оттаму, по смртта на татко му, Бог го пресели во оваа земја, во којашто живеете сега.
5. Но не му даде наследство во неа ниту една педа земја, туку му вети, додека уште немаше дете, дека ќе им даде наследство нему и на неговото поколение.
6. Имено, Бог му рече дека неговите потомци ќе бидат доселеници во туѓа земја и ќе бидат поробени и мачени четиристотини години.
7. 'Но, Јас ќе му судам на народот на кој ќе му робуваат', рече Бог. 'А потоа ќе излезат и ќе Ми служат на ова место.'
8. И му го даде Заветот на обрежувањето; и така на Авраам му се роди Исак и го обрежа на осмиот ден, а на Исак му се роди Јаков; а на Јаков - дванаесетте патријарси.'
9. 'А патријарсите му завидоа на Јосиф и го продадоа во Египет, но Бог беше со него,
10. и го избави од сите негови неволи и му даде благонаклоност и мудрост пред фараонот, египетскиот цар, кој го постави за управител на Египет и над целиот свој дом.
11. Тогаш настана глад и голема беда во целиот Египет и Ханаан, та нашите татковци не можеа да најдат храна.
12. А кога Јаков чу дека има жито во Египет, првпат ги испрати таму нашите татковци.
13. Кога дојдоа вторпат, Јосиф им се откри на своите браќа, а фараонот дозна за Јосифовото потекло.
14. Тогаш Јосиф испрати и го повика татка си Јаков и целиот род - седумдесет и пет души.
15. И така Јаков слезе во Египет, каде што починаа тој и нашите татковци.
16. И го пренесоа во Сихем и го положија во гробот што Авраам го беше купил за сребро во Сихем, од Еморовите синови.'
17. 'Колку повеќе се приближуваше времето на ветувањето, за кое Бог му се заколна на Авраам, толку повеќе народот се зголемуваше и се намножи во Египет,
18. додека таму не завладеа нов цар, кој не знаеше за Јосиф.
19. Тој лошо постапуваше со нашиот народ, ги измачуваше нашите татковци, принудувајќи ги да ги напуштаат своите доенчиња, за да не останат живи.
20. Во тоа време се роди Мојсеј, кој му беше мил на Бог. Три месеци го одгледуваа во татковиот дом,
21. а кога го напуштија, го зеде фараоновата ќерка и си го одгледа како син.
22. И Мојсеј ја изучи целата египетска мудрост и беше силен во своите зборови и дела.
23. А кога наполни четириесет години науми да ги посети своите браќа - синовите на Израел.
24. И кога виде како еден неправедно страда, го одбрани и го одмазди мачbackникот, убивајќи го Египќанецот;
25. мислејќи дека неговите браќа ќе сфатат дека Бог, преку неговата рака, им дава избавување, но тие не сфатија.
26. А идниот ден дојде меѓу нив додека се тепаа и се обиде да ги смири, велејќи: 'Луѓе, вие сте браќа! Зошто меѓусебно се повредувате?'
27. Но оној, кој го удираше својот ближен, го турна и рече: 'Кој те постави тебе за началник и за судија над нас?
28. Сакаш ли и мене да ме убиеш како што го уби Египќанецот вчера?'
29. Поради овие зборови, Мојсеј избега и живееше како доселеник во Медиската земја, каде што му се родија два сина.
30. Кога поминаа четириесет години, му се јави ангел во пустината на Синајската Гора, во пламенот од еден трнов џбун.

31. Кога Мојсеј го виде тоа, се зачуди на глетката, а додека се приближуваше, за да види одблизу, се чу Господовиот глас
32. 'Јас Сум Богот на твоите татковци: Богот на Авраам, Исак и Јаков.' Мојсеј се стаписа и не се осмели да погледне.
33. Тогаш Господ му рече: 'Собуј ги сандалите од нозете, зашто местото на кое стоиш е света земја!
34. Навистина го видов измачувањето на Мојот народ во Египет, го чув неговото воздивнување и слегов да го избавам. А сега дојди да те испратам во Египет!'
35. Тој Мојсеј, од кого се откажаа со зборовите: 'Кој те постави тебе за началник и за судија?' - Бог го испрати, преку ангелот, кој му се јави во трновиот џбун, за началник и за избавител.
36. Тој ги изведе правејќи чуда и знаци во Египет, во Црвеното Море и во пустината четириесет години.
37. Тоа е Мојсеј, кој им рече на синовите на Израел: 'Бог ќе издигне меѓу вашите браќа пророк како мене.'
38. Тоа е оној, кој во заедницата во пустината, беше со ангелот кој му зборуваше на Синајската Гора, и со нашите татковци; оној кој ги прими живите зборови, за да ни ги предаде нам.
39. Нашите татковци не сакаа да го послушаат, го отфрлија и се свртеа со срцето кон Египет,
40. зборувајќи му на Арон: 'Создај ни богови кои ќе одат пред нас, зашто не знаеме што стана со Мојсеј, кој нè изведе од Египет!'
41. И во тие денови изработија теле и му принесоа жртва на идолот и се веселеа пред делото на своите раце.
42. Тогаш Бог се сврте од нив и ги предаде да Му служат на небесното воинство, како што е напишано во Книгата на Пророците: 'Доме Израелов, Мене ли Ми принесувавте заклани животни и жртви четириесет години во пустината?
43. Ги носевте Молоховиот шатор и ѕвездата на богот Ромфа, кипови што ги направивте, за да им се поклонувате. Затоа ќе ве преселам подалеку од Вавилон!'
44. Нашите татковци го имаа со себе Шаторот на сведоштвото во пустината, како што Оној Кој му зборуваше на Мојсеј му заповеда да го направи според примерокот што го видел.
45. Нашите татковци го примија и го внесоа со Јошуа, кога ја заседоа земјата на другите народи, кои Бог ги протера пред нашите татковци, и така беше сè до времето на Давид.
46. Овој најде милост пред Бог, и затоа измоли да Му најде живеалиште на Јаковoвиот Бог.
47. А Соломон Му изгради Дом.
48. Но Севишниот не живее во ракотворни храмови, како што вели пророкот:
49. 'Небото Ми е престол, а земјата е подношка на Моите нозе. Каков дом ќе ми изградите', говори Господ, 'или какво ќе биде местото за моја починка?
50. Не го направи ли сèто тоа Мојата рака?'
51. О, тврдоглави, со необрежани срца и уши! Вие секогаш Му се противите на Светиот Дух, како вашите татковци така и вие!
52. Кого од пророците не го гонеа вашите татковци? И ги убија оние, кои однапред го навестуваа доаѓањето на Праведникот, чии предавници и убијци сега станавте вие,
53. вие, кои го примивте законот како заповед од ангели - и не го запазивте.'
54. Кога го чуја тоа, ги засегна во срцата и чкртаа со забите на него.
55. А тој, полн со Светиот Дух, гледајќи втренчено кон небото, ја виде Божјата Слава и Исус како Му стои оддесно на Бог,
56. и рече: 'Еве, ги гледам отворени небесата и Синот Човечки како Му стои оддесно на Бог.'
57. Тогаш извикаа со силен глас, си ги затнаа ушите и се нафрлија еднодушно врз него.
58. И кога го исфрлија од градот, фрлаа камења на него. А сведоците ги оставија своите облеки до нозете на едно момче, кое се викаше Савле.
59. И фрлаа камења на Стефан, кој викаше, велејќи: 'Господи Исусе, прими го мојот дух!'
60. Тогаш падна на колена и извика со силен глас: 'Господи, не пишувај им го ова за грев!' И кога го рече тоа - почина.

Глава 8

1. А Савле се согласуваше со неговото погубување.Во оној ден стана и големо прогонство против црквата во Ерусалим; и сите, освен апостолите, се раштркаа по краиштата на Јудеја и Самарија.
2. А побожни луѓе го погребаа Стефан и гласно го оплакуваа.
3. Савле, пак, ја пустошеше црквата, влегуваше од куќа во куќа, извлекуваше мажи и жени и ги предаваше в зандани.
4. Оние кои беа раштркани, одеа проповедајќи го Словото.
5. Така, Вилип слезе во градот Самарија и го навестуваше Христос.
6. А народот еднодушно внимаваше на Вилиповите зборови, ги слушаше и ги гледаше чудотворните знаци што ги правеше.
7. Зашто од оние коишто имаа нечисти духови, тие излегуваа со голема викотница, а мнозина парализирани и сакати беа исцелени.
8. И настана голема радост во тој град.
9. А во градот се наоѓаше еден човек, по име Симон, кој од порано изведуваше магии и го вчудовидуваше самарискиот народ, тврдејќи за себе дека е тој и тој.
10. Него го слушаа сите, од мал до голем, велејќи: 'Ова е голема Божја сила.'
11. А го слушаа затоа што долго време ги восхитуваше со своите магии.
12. Кога му поверуваа на Вилип, кој го проповедаше Евангелието за Божјото царство и за името на Исус Христос, се крштаваа и мажи и жени.
13. Самиот Симон поверува, и откако беше крстен, му се придружи на Вилип, и гледајќи ги чудотворните знаци и моќните дела што се збиднуваа, се восхитуваше.
14. А кога апостолите, кои беа во Ерусалим, чуја дека Самарија го прими Божјото слово, им ги испратија Петар и Јован,
15. кои слегоа и се помолија за нив, за да Го примат Светиот Дух,
16. зашто уште ни на еден од нив не беше слегол, а само беа крстени во името на Господ Исус.
17. Тогаш ги положија рацете на нив и тие Го примија Светиот Дух.
18. А кога Симон виде дека Светиот Дух се дава со полагање на рацете на апостолите, им понуди пари,
19. велејќи: 'Дајте ми ја и мене таа власт, па врз кого ќе ги положам рацете, да Го прими Светиот Дух!'
20. Но Петар му рече: 'Нека одат во неврат твоите сребреници заедно со тебе, зашто си наумил да го добиеш Божјиот дар со пари!
21. Нема за тебе ни дел ни учество во оваа работа, зашто твоето срце не е право пред Бог.
22. Затоа, покај се од оваа твоја нечесност и моли Го Господ ако е можно да ти ја прости мислата на твоето срце.
23. Зашто гледам дека си полн со горчина и во окови на неправдата.'
24. А Симон одговори, велејќи: 'Помолете Му се вие на Господ за мене, за да не ме снајде ништо од она што го рековте!'
25. Тие пак, откако посведочија и го кажаа Господовото слово, проповедајќи им го Евангелието на многу самариски села, се вратија во Ерусалим.
26. И Господов ангел му рече на Вилип: 'Стани и оди кон југ, по патот што се спушта од Ерусалим спрема Газа, кој е пуст.'
27. Тој стана и тргна. И ете, Етиопјанец- евнух, дворјанин на етиопската царица Кандакија, кој беше задолжен за целата нејзина ризница, а беше дошол во Ерусалим на поклонение,
28. и на враќање, седеше во својата кочија и го читаше пророкот Исаија.
29. А Духот му рече на Вилип: 'Приближи се и придружи и се на кочијата!'
30. Кога Вилип притрча и чу дека тој го чита пророкот Исаија, и праша: 'Го разбираш ли тоа што го читаш?'
31. Тој пак рече: 'Како ќе можам да разберам, ако некој не ме упати!' И го покани Вилипа да се

качи и да седне до него.
32. А текстот од Писмото, што го читаше, гласеше: 'Беше одведен како овца на колење, и како што јагнето е немо пред оној кој го стриже, така тој не ја отвори Својата уста.
33. Во Неговото понижување не доби праведен суд. Кој ќе ја сфати Неговата генерација, зашто Неговиот живот се зеде од земјата.'
34. Тогаш евнухот одговори, велејќи му на Вилип: 'Те молам, за кого го вели ова пророкот? За себе или за некој друг?'
35. А Вилип ја отвори устата и почнувајќи од тоа место во Писмото, му проповедаше за Исус.
36. А кога патувајќи дојдоа до некоја вода, евнухот рече: 'Еве вода! Што ме спречува да се крстам?'
37. А Вилип рече: 'Ако веруваш од сѐ срце - смееш.' Тој одговори, велејќи: 'Верувам дека Исус Христос е Божјиот Син.'
38. И заповеда да застане кочијата, па двајцата, Вилип и евнухот, слегоа во водата, и го крсти.
39. А кога излегоа од водата, Господовиот Дух го грабна Вилипа; евнухот веќе не го виде. И продолжи радосно по својот пат.
40. А Вилип се најде во Азот, а потоа, поминувајќи проповедаше по сите градови додека не дојде во Цезареја.

Глава 9

1. А Савле, сѐ уште исполнет со закани и убиства против Господовите ученици, отиде при врховниот свештеник,
2. и измоли од него писма до синагогите во Дамаск; ако најде таму некои следбеници на овој Пат, мажи и жени, да ги доведе врзани во Ерусалим.
3. Кога патувајќи се приближи до Дамаск, одненадеж го осветли светлина од небото;
4. падна на земјата и чу глас, кој му рече: 'Савле, Савле, зошто Ме прогонуваш?'
5. А тој праша: 'Кој си Ти, Господине?' А Тој рече: 'Јас Сум Исус, Кого ти Го прогонуваш!'
6. 'Стани и влези во градот, та ќе ти се каже што треба да правиш!'
7. А оние што го придружуваа стоеја неми, зашто го чуја гласот, а не видоа никого.
8. Савле стана од земјата. Иако очите му беа отворени, не гледаше ништо. Тогаш го фатија за рака и го доведоа во Дамаск.
9. И беше слеп три дни; и не јадеше, ниту пиеше.
10. А во Дамаск постоеше еден ученик, по име Ананиј, и Господ му се јави во видение: 'Ананиј!' А тој изусти: 'Еве ме, Господи!'
11. А Господ му рече: 'Стани и оди во улицата што се вика 'Права', во куќата на Јуда и побарај го човекот од Тарс, наречен Савле, зашто, ете, тој се моли.'
12. И виде во видение човек по име Ананиј, како влегува кај него и ги полага рацете на него за да прогледа.'
13. Ананиј одговори: 'Господи, чув од мнозина за тој човек, колку зло им направил на Твоите светии во Ерусалим.
14. А тука има власт од првосвештениците да ги врзе сите оние кои го повикуваат Твоето име.'
15. А Господ му рече: 'Оди, зашто тој човек е Мој избран сад, за да го изнесе Моето име пред нееврејските народи, пред цареви и пред синовите на Израел.
16. Јас ќе му покажам колку треба да пропати поради Моето име.'
17. Ананиј отиде, влезе во куќата и откако ги положи рацете на него, рече: 'Брате Савле, Господ Исус, Кој ти се јави на патот по кој доаѓаше, ме испрати за да прогледаш и да се исполниш со Светиот Дух.'
18. И веднаш од неговите очи падна нешто како лушпи и тој прогледа; стана и беше крстен;
19. и откако се најаде, закрепна. Неколку дена Савле помина со учениците што беа во Дамаск.
20. И веднаш почна да Го навестува Христос по синагогите, велејќи дека Тој е Божјиот Син.
21. А сите што го слушаа се восхитуваа и велеа: 'Не е ли овој, оној кој во Ерусалим ги истребуваше оние кои го изговараа ова Име, и зар не дојде ваму за да ги поведе врзани пред првосвештениците?'
22. Но Савле беше сѐ посилен и ги збунуваше Евреите, кои живееја во Дамаск, докажувајќи дека Овој е Христос.
23. И откако изминаа многу денови, Евреите сковаа заговор да го убијат.
24. Но Павле дозна за тој нивни заговор. А тие ги демнеа градските порти и дење и ноќе, за да го убијат.
25. Но учениците го зедоа и во кошница го префрлија ноќе преку ѕидот.
26. А кога дојде во Ерусалим, се обидуваше да им се придружи на учениците, но сите се плашеа од него, зашто не веруваа дека е ученик.
27. Тогаш Барнаба го зеде и го одведе кај апостолите, им раскажа дека на патот Го видел Господ, дека Му зборувал и дека во Дамаск проповедал смело во Исусовото име.
28. И со нив слободно се движеше во Ерусалим,
29. говорејќи смело во името на Господ. Тој зборуваше и се препираше со хеленистите, а тие настојуваа да го убијат.
30. А кога браќата дознаа за тоа, го одведоа во Цезареја, и оттаму го испратија во Тарс.
31. И така, низ цела Јудеја, Галилеја и Самарија за црквата настапи мир; се надградуваше, живееше во страхопочит спрема Господа и продолжуваше да расте во утехата на Светиот Дух.

32. А кога Петар ги обиколуваше тие места, дојде и кај светиите, кои живееја во Лида.
33. Таму најде еден човек, по име Енеј, кој лежеше осум години парализиран в постела.
34. И Петар му рече: 'Енеј, Исус Христос те исцели; стани и опаши се!' И тој веднаш стана.
35. И го видоа сите жители во Лида и во Шарон, и Му се обратија на Господа.
36. А во Јопа имаше една ученичка по име Табита (што преведено значи Срна). Таа беше полна со добри дела и со милостини, што ги правеше.
37. Во тие денови се разболе и умре. Ја избањаа и ја ставија во горната соба.
38. А бидејќи Лида е близу до Јопа, учениците чуја дека Петар е таму и испратија кај него двајца мажи, кои го молеа: 'Не забавај се со доаѓањето кај нас!'
39. А Петар стана и тргна со нив. Кога дојде, го одведоа во горната соба и му пристапија сите вдовици лелекајќи и покажувајќи му ги туниките и облеките, што ги правеше Срна додека беше со нив.
40. А Петар ги истера сите надвор, клекна на колена, се помоли и се сврте кон мртвото тело, па рече: 'Табита, стани!' А таа ги отвори очите, и кога го виде Петар седна.
41. Тој, пак, и ја подаде раката и ја поткрена. Потоа ги викна светиите и вдовиците и им ја покажа жива.
42. Тоа се разгласи по сета Јопа и мнозина поверуваа во Господ.
43. Тој пак остана многу денови во Јопа, кај некојси кожар Симон.

Глава 10

1. Во Цезареја беше некој човек, по име Корнелиј, стотник во таканаречениот Италски полк.
2. Тој со сиот свој дом беше посветен и богобојазлив, му даваше многу милостина на народот и постојано Му се молеше на Бог.
3. Околу деветтиот час на денот, виде јасно во видение Божји ангел, како доаѓа при него и му вели: 'Корнелиј!'
4. Овој се загледа во него и исплашен изусти: 'Што е, Господи?' А тој му рече: 'Твоите молитви и твоите милостини се воздигнаа до Бог и Тој си спомнува за нив.
5. А сега, испрати луѓе во Јопа и повикај го Симон, наречен Петар.
6. Тој престојува кај некој кожар, Симон, чија куќа е крај морето.'
7. И кога си отиде ангелот кој му зборуваше, викна двајца свои слуги и еден побожен војник, од оние кои беа постојано покрај него,
8. и откако им кажа сѐ, ги испрати во Јопа.
9. А утредента, додека тие патуваа и се приближуваа до градот, Петар излезе околу шестиот час и се качи на покривот од куќата за да се помоли.
10. Огладне и посака да јаде; и додека му приготвуваа јадење, тој падна во занес
11. и виде отворено небо и нешто како големо платно, врзано за четирите краишта како се спушта на земјата.
12. Во него беа сите четироножни животни, диви ѕверови, земни лазачи и небесни птици.
13. И еден глас му рече: 'Стани, Петре, коли и јади!'
14. А Петар рече: 'Никако, Господи, зашто уште никогаш не сум јал нешто погано и нечисто!'
15. А гласот повторно му се јави: 'Она што Бог го има исчистено, не нарекувај го погано!'
16. Тоа се случи трипати, и платното пак се крена на небо.
17. И додека Петар беше во недоумение, што би можело да значи видението што го виде, ете, луѓето испратени од Корнелиј, стоеја пред тремот, се распрашуваа за куќата на Симон,
18. па прашаа дали тука престојува Симон, наречен Петар?'
19. И додека Петар уште размислуваше за видението, Духот му рече: 'Еве, те бараат тројца мажи;
20. стани, слези долу и оди со нив без никакво сомнение, зашто Јас ги пратив!'
21. Тогаш Петар слезе кај луѓето и рече: 'Еве, јас сум оној што го барате. Зошто дојдовте?'
22. А тие рекоа: 'Стотникот Корнелиј - човек праведен и богобојазлив, посведочен од целиот еврејски народ, прими заповед од свет ангел да те повика во својот дом и да чуе зборови од тебе.'
23. Тогаш ги повика внатре и ги прибра. А утредента стана и отиде со нив, а некои браќа од Јопа го придружија.
24. На другиот ден влегоа во Цезареја, а Корнелиј ги очекуваше, и ги беше повикал своите роднини и блиски пријатели.
25. А кога Петар влегуваше, Корнелиј го пречека, падна пред неговите нозе и се поклони.
26. Петар го подигна, велејќи: 'Стани! И јас сум само човек!'
27. Така разговарајќи со него, влезе и најде мнозина собрани,
28. на кои им рече: 'Вие знаете дека на Евреин не му е дозволено да се дружи со човек туѓинец и да доаѓа кај него. Но, мене Бог ми кажа никого да не нарекувам поган или нечист.
29. Затоа дојдов без противење кога ме повикавте, па ве прашувам - која е причината што ме викнавте?'
30. И Корнелиј рече:'Има четири дена, па до овој час, деветтиот, постев и се молев во својот дом; и ете, пред мене застана човек во светла облека
31. и рече: 'Корнелиј, ислушана и прифатена е твојата молитва и Бог си спомна за твоите милостини.
32. Затоа, испрати некого во Јопа и повикај го Симон, наречен Петар! Тој престојува во куќата на Симон, кожарот, крај морето.'

33. И веднаш пратив да те повикаат, а ти арно направи што дојде. Сега, тука, сите сме пред Бог, за да чуеме што сè Господ ти заповедал.'
34. Тогаш Петар изусти, велејќи: 'Навистина гледам дека Бог не е наклонет кон никого,
35. туку кај секој народ Нему Му е мил оној, што има страхопочит спрема Него и кој постапува праведно.
36. Вие го знаете Словото што им го испрати на синовите на Израел, навестувајќи го Евангелието на мирот преку Исус Христос (Тој е Господ на сите).
37. Самите знаете што се случи по сета Јудеја, почнувајќи од Галилеја, по крштавањето што го навестуваше Јован;
38. Го знаете Исус од Назарет, како Бог Го помаза со Светиот Дух и со сила, Кој проживеа правејќи добрини и исцелувајќи ги сите кои ѓаволот ги измачуваше, зашто Бог беше со Него.
39. А ние сме сведоци за сè што направи во земјата на Евреите и во Ерусалим; Го убија обесувајќи Го на дрво.
40. Него Бог Го воскресна на третиот ден и Му даде да се појави,
41. но не на сите луѓе, туку на однапред од Бог избраните сведоци - нам, коишто јадевме и пиевме со Него откако воскресна од мртвите.
42. Тој ни заповеда да му навестиме на народот и смело да сведочиме дека Тој е од Бог определениот Судија на живите и мртвите.
43. Сите пророци сведочат за Него дека секој кој верува во Него добива проштавање на гревовите преку Неговото име.'
44. Додека Петар сè уште ги зборуваше овие зборови, Светиот Дух слезе на сите кои го слушаа говорот
45. и се зачудија обрежаните верници кои дојдоа со Петар, дека и на неевреите се излеа дарот на Светиот Дух;
46. зашто ги чуја како зборуваат во јазици и Го величаат Бог. Тогаш Петар рече:
47. 'Може ли некој да им забрани да се крстат со вода овие што Го примија Светиот Дух како и ние?'
48. И им заповеда да се крстат во името на Исус Христос. Тогаш го замолија да остане уште неколку денови.

Глава 11

1. А апостолите и браќата во Јудеја чуја дека и неевреите го примиле Божјото слово,
2. и кога Петар дојде горе во Ерусалим, обрежаните се препираа со него,
3. велејќи: 'Влезе при необрежани луѓе и јадеше со нив!'
4. Тогаш Петар почна да им зборува и да им излага редум:
5. 'Бев во градот Јопа, се молев и во занес видов видение, нешто како големо платно, што врзано на четирите краишта слегува од небото, и дојде до мене.
6. Кога погледнав во него и разгледав, видов во него четироножни земни животни, ѕверови, лазачи и небесни птици.
7. И чув глас, кој ми рече: 'Стани, Петре! Коли и јади!'
8. А јас реков: 'Никако, Господи, зашто ништо погано или нечисто никогаш не влегло во мојата уста.'
9. Тогаш гласот од небото ми рече по вторпат: 'Она што Бог го исчистил, не нарекувај го нечисто!'
10. Тоа се случи трипати и пак сè беше повлечено горе на небо.
11. И ете, во тој час, три човека испратени од Цезареја кај мене, застанаа пред куќата во којашто бев.
12. Тогаш Духот ми рече да одам со нив без никакво сомнение. И овие шестмина браќа дојдоа со мене и влеговме во куќата на човекот.
13. Тогаш тој ни раскажа како во својата куќа видел ангел, кој застанал и му рекол: 'Прати луѓе во Јопа и повикај го Симон, наречен Петар!
14. Тој ќе ти каже зборови, преку кои ќе бидеш спасен ти и целиот твој дом.'
15. И кога почнав да зборувам, Светиот Дух слезе на нив, како и на нас во почетокот.
16. Тогаш се сетив на Господовите зборови: 'Јован крштаваше со вода, а вие ќе бидете крстени со Светиот Дух.
17. И така, ако Бог им дал ист дар, кога поверуваа во Господ Исус Христос, како и нам, кој сум јас да можам да Му го забранам тоа на Бог?'
18. Кога го чуја тоа, се смирија и Го прославија Бог, велејќи: 'Значи, Бог им даде и на неевреите покајание за живот!'
19. А оние, кои беа раштркани поради гонењето кое се подигна заради Стефан, поминаа сè до Веникија, Кипар и Антиох, не говорејќи никому за Словото, освен на Евреите.
20. А некои од нив беа Кипрани и Киријци, кои кога дојдоа во Антиох им зборуваа и на Грците, навестувајќи Го Господ Исус.
21. А Господовата рака беше со нив па голем број кои поверуваа се преобратија кон Господ.
22. Кога веста за нив дојде до ушите на црквата во Ерусалим, го испратија Барнаба во Антиох.
23. Откако дојде и посведочи за Божјата благодат, се зарадува и со решително срце ги охрабруваше сите да останат во Господ.
24. Имено, тој беше добар човек, исполнет со Светиот Дух и со вера; и големо множество се присоедини кон Господ.
25. Тогаш Барнаба отиде во Тарс да го побара Савле; и кога го најде, го доведе во Антиох.
26. И така, цела година се собираа со црквата и поучија многу народ. Првпат во Антиох учениците ги нарекоа христијани.
27. Во тие денови пророци од Ерусалим слегоа во Антиох.
28. А еден од нив, по име Агаб, стана и објави преку Духот дека ќе има голем глад по целиот свет, каков што беше во времето на Клавдиј.
29. Тогаш учениците решија, секој според своите можности, да им испрати помош на браќата во Јудеја.
30. Така и сторија, испраќајќи им ја на старешините преку Барнаба и Савле.

Глава 12

1. Во тоа време царот Ирод почна да им напакостува на оние кои и припаѓаа на црквата.
2. И го погуби со меч Јовановиот брат Јаков.
3. А кога виде дека тоа им се допадна на Евреите, го фати и Петар. А беа денови на Бесквасните лебови.
4. Го фати и го фрли в зандана, предавајќи им го на четири стражи од по четворица војници да го чуваат, со намера да го изведе пред народот по Пасхата.
5. И така, Петар го чуваа во занданата, а црквата постојано Го молеше Бога за него.
6. И кога Ирод сакаше да го изведе, истата ноќ Петар спиеше меѓу двајца војници, окован во двојни вериги, а имаше и стражари пред вратата кои ја чуваа занданата.
7. И ете, Господов ангел застана и светлина болсна во ќелијата. Тој го потчукна Петар отстрана, го разбуди и му рече: 'Бргу станувај!' И веригите му паднаа од рацете.
8. Тогаш ангелот му рече: 'Препаши се и обуј си ги сандалите!' Петар така постапи. И уште му рече: 'Префрли си ја наметката и тргни по мене!'
9. И тој излезе и тргна по него, без да знае дека тоа што го стори ангелот се случува вистински, ами мислеше дека гледа привид.
10. Откако ги поминаа првата и втората стража и дојдоа до железната порта, која води во градот, таа им се отвори сама. И продолжија и втасаа на една улица, а ангелот веднаш исчезна.
11. А кога Петар дојде на себеси, рече: 'Сега навистина знам дека Господ го пратил Својот ангел, и ме избави од Иродовата рака и од сè што очекуваше еврејскиот народ.'
12. Согледувајќи го тоа, дојде до куќата на Марија, мајката на Јован, наречен Марко, каде што беа собрани мнозина на молитва.
13. И кога чукна на вратата од тремот, дојде слугинката, по име Рода, да наслушне.
14. И кога го препозна Петровиот глас, од радост не ја отвори портата, туку втрча и јави дека Петар стои пред порта.
15. А тие и рекоа: 'Ти бладаш!' Но таа и натаму тврдеше дека е вистина. Тие пак рекоа: 'Тоа е неговиот ангел.'
16. А Петар продолжуваше да чука. И кога ја отворија портата, го видоа и се зачудија.
17. Тој им даде знак со раката да молчат и им раскажа како Господ го изведе од занданата и рече: 'Јавете им за ова на Јаков и на браќата!' Потоа излезе и отиде на друго место.
18. А кога се раздени, настана голема бркотија меѓу војниците: околу тоа што се случи со Петар?
19. Кога Ирод го побара, и не го најде, ги сослуша стражарите и заповеда да ги погубат, па слезе од Јудеја во Цезареја, каде остана да живее.
20. Ирод беше гневен на тирците и сидонците, но тие дојдоа еднодушно при него, и откако го придобија царевиот собар Бласт, замолија за мир, зашто нивната земја се хранеше од царската земја.
21. Во определениот ден, Ирод, облечен во царска руба, седна на престолот пред народот и му одржа говор.
22. А народот извикуваше: 'Тоа е Божји глас, а не човечки!'
23. Во тој час, Господов ангел го удри, зашто не му оддаде слава на Бог, и изеден од црви, умре.
24. Господовото слово растеше и се распространуваше.
25. А Барнаба и Савле, откако ја исполнија службата, се вратија од Ерусалим, земајќи го со себе Јован, наречен Марко.

Глава 13

1. Во црквата во Антиох имаше пророци и учители: Барнаба, Симеон наречен Нигер, па Луциј Киринецот, Манаин, кој беше израснат со тетрархот Ирод, и Савле.
2. И додека Му служеа на Господ и постеа, Светиот Дух им рече: 'Издвојте ми ги Барнаба и Савле за делото за кое ги повикав!'
3. А тие, по постот и молитвата, ги положија рацете на нив и ги испратија.
4. И така, тие, испратени од Светиот Дух, слегоа во Селевкија и оттаму отпловија за Кипар.
5. И кога дојдоа во Саламис, го навестуваа Божјото слово во еврејските синагоги, а го имаа и Јован за помошник.
6. А откако го поминаа целиот остров сè до Пафос, најдоа некој маѓепсник, лажен пророк, Евреин, по име Бар-Исус,
7. кој беше со проконзулот Сергиј Павле, умен човек. Овој ги повика Барнаба и Савле и побара да го чуе Божјото слово.
8. Но му се спротиви маѓепсникот Елим (зашто така се преведува неговото име), настојувајќи да го одврати проконзулот од верата.
9. Тогаш Савле, познат како Павле, исполнет со Светиот Дух, се втренчи и рече:
10. 'О, ти исполнет со секакво лукавство и злоба, ѓаволски сину, непријателу на секоја праведност, не ќе престанеш ли да ги искривуваш правите Господови патишта.
11. И, еве, сега Господовата рака е врз тебе: ќе бидеш слеп и за некое време не ќе го гледаш сонцето!' И во истиот час врз него се спушти магла и темнина; и тој џбараше наоколу и бараше луѓе, кои ќе го водат за рака.
12. Тогаш проконзулот, откако виде што стана, поверува, восхитувајќи му се на Господовото учење.
13. А Павле и неговите придружници отпловија од Пафос и дојдоа до Перга, во Памфилија. Тука Јован се оддели од нив и се врати во Ерусалим.
14. А тие заминаа од Перга и дојдоа во Антиох писидиски, влегоа во синагогата во саботен ден и седнаа.
15. А по читањето на Законот и на пророците, старешините на синагогата испратија до нив да им кажат: 'Браќа, ако имате некаква утешна порака за народот, кажувајте!'
16. Тогаш Павле стана, мавна со раката и рече: 'Мажи Израелци и вие други, кои имате страхопочит спрема Бог, чујте!
17. Богот на овој израелски народ ги избра нашите татковци и го издигна народот во туѓина, во египетската земја, со воздигната рака ги изведе од таа земја,
18. и откако четириесет години ги трпеше во пустината;
19. и уништи седум народи во Ханаанската земја, им ја даде во наследство нивната земја
20. за околу четиристотини и педесет години. Потоа им даде судии до пророкот Самоил.
21. Тогаш побараа цар, и Бог им го даде Саул, синот на Киш, човек од Бенјаминовото племе, за четириесет години.
22. Кога го отфрли него, им го издигна за цар Давид, за кого посведочи и рече: 'Го најдов Давид, синот Есеев, човек според Моето срце, кој ќе ја исполни сета Моја волја.'
23. Од неговото потомство, Бог - според ветувањето - му издигна на Израел Спасител, Исус,
24. откако Јован, пред Неговото доаѓање, му проповедаше на целиот израелски народ покајно крштавање.
25. А додека Јован ја исполнуваше својата должност, везден велеше: 'За кого ме сметате? Јас не сум Тој, туку, ете, по мене иде Еден, Кому не сум достоен да Му ги одврзам сандалите на нозете.'
26. Луѓе, браќа, синови на Авраамовиот род, и вие, кои имате страхопочит кон Бог, нам ни е испратено словото за ова спасение.
27. Зашто жителите на Ерусалим и нивните началници не Го познаа Него, ниту пророчките зборови што се читаат секој саботен ден, туку Го осудија и така ги исполнија.

28. Иако не најдоа никаква вина, која заслужува смрт, бараа од Пилат да Го погуби.
29. И кога исполнија сѐ што е напишано за Него, Го симнаа од дрвото и Го положија в гроб.
30. Но Бог Го воскресна од мртвите.
31. И со денови им се појавуваше на оние, кои со Него од Галилеја одеа горе во Ерусалим, а кои сега се Негови сведоци пред народот.
32. Ние ви проповедаме за ветувањето дадено на татковците,
33. дека Бог го исполни пред нас, нивните деца, кога Го воскресна Исус, како што е напишано во вториот псалм: 'Ти си Мој Син, денес Те родив.'
34. А за тоа дека Го воскресна од мртвите и дека веќе не се враќа во распаѓање, го рече ова: 'Ќе ви ги исполнам светите нешта на верниот Давид.'
35. Затоа и во друг псалм вели: 'Нема да дозволиш Твојот Светец да види распаѓање.'
36. А Давид му послужи на своето поколение според Божјата волја, па почина и им се придружи на своите татковци и виде распаѓање.
37. А Оној, Кого Бог Го воскресна, не виде распаѓање.
38. И така, браќа, знајте дека преку Него ви се навестува проштавање на гревовите;
39. и од сето она од кое не можевте да се оправдате преку Мојсеевиот Закон, преку Него се оправдува секој кој верува.
40. И така, гледајте да не дојде на вас она што е речено во Пророците:
41. 'Видете, вие кои презирате, чудете се и загинете! Зашто Јас правам дело, во вашите денови, дело во кое нема да поверувате, дури и ако некој би ви раскажувал.'
42. А кога излегуваа, луѓето ги молеа да им ги кажуваат овие зборови и идната сабота.
43. Кога собирот се разотиде, многу Евреи и прозелити, кои Го почитуваа Бог, тргнаа по Павле и Барнаба, кои им зборуваа и ги уверуваа да продолжат во Божјата благодат.
44. Следната сабота се собра речиси целиот град да го чуе Божјото слово.
45. А кога Евреите ја видоа толпата, се исполнија со завист, им противречеа на Павловите зборови и хулеа.
46. Тогаш Павле и Барнаба им рекоа решително: 'Требаше најнапред вам да ви се проповеда Божјото слово, но бидејќи вие го отфрлате од себе и не се сметате достојни за вечен живот, еве, ние им се обраќаме на неевреите,
47. зашто Господ ни заповеда така: 'Те поставив за светлина на неевреите, да им бидеш спасение до крајот на земјата.''
48. Кога неевреите го чуја тоа, се зарадуваа и го славеа Господовото слово и поверуваа мнозина што беа определени за вечен живот.
49. А Господовото слово се распространуваше по целата земја.
50. Евреите ги поттикнаа угледните, побожните жени и градските првенци, и поттикнаа гонење против Павле и Барнаба, та ги изгонија од нивната област.
51. Овие го истресоа правот од своите нозе и дојдоа во Иконија.
52. А учениците се исполнуваа со радост и со Светиот Дух.

Глава 14

1. Во Иконија влегоа заедно во еврејската синагога и зборуваа така, што мнозина Евреи и Грци поверуваа.
2. Но оние Евреи што не ги послушаа, ги побунија и ги настроија злонамерно душите на неевреите против браќата.
3. Тие сепак останаа тука долго време, смело зборувајќи за Господ, Кој сведочеше за Словото на Својата благодат и овозможуваше нивните раце да прават чудотворни знаци и чуда.
4. Но луѓето во градот се поделија: едни беа со Евреите, а други со апостолите.
5. Кога неевреите и Евреите, со своите старешини, се обидоа да ги нападнат и да ги каменуваат,
6. тие го забележаа тоа и избегаа во ликаонските градови, Листра и Дерба, како и во нивната околина,
7. и таму продолжија да проповедаат.
8. Во Листра седеше некој човек, со омрцлавени нозе, сакат од мајчината утроба, кој никогаш не одел.
9. Тој го слушаше Павле кога зборуваше, а кога Павле се загледа во него и виде дека има вера за исцелување,
10. му рече со силен глас: 'Исправи се на нозете!' И тој скокна и прооде.
11. А толпата, кога виде што направи Павле, го подигна својот глас, велејќи на ликаонски: 'Боговите станаа како луѓе и слегоа при нас!'
12. И Барнаба го нарекоа Зевс, а Павле - Хермес, зашто тој беше главниот говорник.
13. А свештеникот на Зевсовото светилиште, што се наоѓаше пред градот, доведе бикови и донесе венци пред портите и сакаше, заедно со народот, да принесе жртва.
14. Но кога го чуја тоа апостолите Барнаба и Павле, ги раскинаа своите облеки, се втурнаа меѓу народот и извикајќи, велеа:
15. 'Мажи, зошто го правите тоа? И ние сме луѓе како вас! Но ви го проповедаме Евангелието за да се одвратите од тие суетни нешта, кон живиот Бог, Кој ги создаде небото и земјата, морето и сѐ што е во нив;
16. Кој во минатите поколенија ги пушти сите народи да одат по своите патишта,
17. и сепак никогаш не ги остави без сведоштво за Себеси со своите добрини, давајќи ви од небото дождови и плодни години и наситувајќи ги вашите срца со храна и веселба.'
18. И зборувајќи го тоа, одвај успеаја да го запрат народот да не им принесе жртва.
19. Притоа стигнаа Евреи од Антиох и Иконија и откако го наговорија народот, го каменуваа Павле и го извлечкаа од градот, мислејќи дека е мртов.
20. Меѓутоа, кога учениците се собраа околу него, тој стана и повторно влезе во градот. А утредента отиде со Барнаба во Дерба.
21. Откако проповедаа во тој град и придобија многу ученици, се вратија во Листра, Иконија и Антиох;
22. ги закрепнуваа душите на учениците и ги поттикнуваа да бидат постојани во верата, и дека преку многу неволи треба да влезат во Божјото царство.
23. И кога им определија старешини во одделните цркви, се помолија со пост и Му ги предадоа на Господ, во Кого поверуваа.
24. Потоа поминувајќи низ Писидија, дојдоа во Памфилија;
25. и, откако го проповедаа словото во Перга, слегоа во Аталија;
26. а оттаму отпловија во Антиох, откаде и беа предадени на Божјата благодат за делото што го завршија.
27. И кога пристигнаа и ја собраа црквата, раскажаа, што сѐ направил Бог со нив, и како им ја отворил вратата на верата на неевреите.
28. И останаа подолго време со учениците.

Глава 15

1. А некои дојдоа од Јудеја, и браќата ги поучуваа: 'Ако не се обрежете според Мојсеевиот обичај, не можете да бидете спасени.'
2. А кога Павле и Барнаба се впуштија во не мала препирка и се расправаа со нив, Павле и Барнаба, и уште некои од нив, беа определени да се качат во Ерусалим, кај апостолите и старешините заради ова прашање.
3. И така, испратени од црквата, поминаа низ Веникија и Самарија, раскажувајќи подробно за обраќањето на нееврејските народи, со што предизвикуваа голема радост меѓу сите браќа.
4. Кога стигнаа во Ерусалим, беа примени од црквата, од апостолите и од старешините; и раскажаа сѐ што направил Бог со нив.
5. Тогаш станаа некои од фарисејската секта, кои поверуваа, и рекоа: 'Треба да бидат обрежани и да им се нареди да го пазат Мојсеевиот Закон.'
6. Апостолите и старешините се собраа да ја разгледаат таа работа
7. и бидејќи настана голема расправија, Петар стана и им рече: 'Мажи, браќа! Вие знаете дека Бог уште од првите денови ме избра меѓу вас, за да можат неевреите да го чујат од мојата уста словото на Евангелието и да поверуваат.
8. И Бог, Кој ги познава срцата, им посведочи, кога им Го даде Светиот Дух, како и нам.
9. И не направи никаква разлика меѓу нас и нив, зашто преку верата ги исчисти нивните срца.
10. Зошто сега Го искушувате Бог, ставајќи им на вратот на учениците јарем, кого ниту нашите татковци, ниту ние не можевме да го носиме?
11. Впрочем, веруваме дека сме спасени исто како и тие, преку благодатта на Господ Исус.'
12. Тогаш молкна целиот народ, а луѓето ги слушаа Барнаба и Павле, кои раскажуваа колку чудотворни знаци и чуда направи Бог преку нив, меѓу неевреите.
13. Кога тие престанаа да зборуваат, проговори Јаков и рече: 'Мажи браќа, послушајте ме!
14. Симеон ви кажа како Бог, најпрво, предвиде да си земе луѓе од народите за Своето име.
15. И со тоа се слагаат пророчките зборови, како што е напишано:
16. 'По ова ќе се вратам и пак ќе го изградам Давидовото светилиште, кое падна; и повторно ќе ги изградам урнатините, и пак ќе ги обновам;
17. за другите луѓе да Го побараат Господ и сите неевреи кои се нарекуваат со Моето име,
18. говори Господ, Кој го објавил ова од дамнина.'
19. Затоа сметам дека не треба да ги вознемируваме оние од нееврејските народи кои се обраќаат кон Бог;
20. туку да им се напише да се воздржуваат од она што е осквернато од идоли, од блудство, од задавено и од крв.
21. Зашто Мојсеј има проповедници за себе, од дамнешни времиња, во секој град: го читаат во синагогите, секоја сабота.'
22. Тогаш апостолите и старешините, заедно со целата црква, најдоа за сходно да изберат меѓу себе луѓе и да ги испратат со Павле и Барнаба во Антиох: Јуда, наречен Барсаба, и Сила, видни луѓе меѓу браќата,
23. и по нив го испратија ова писмо: 'Апостолите и старешините, вашите браќа, ги поздравуваат браќата од нееврејските народи во Антиох, Сирија и Киликија!
24. Бидејќи чувме дека некои од нас, на кои ништо не им заповедавме, ве збуниле со зборови и ги вознемириле вашите души,
25. еднодушно најдовме за сходно да избереме мажи и да ги пратиме кај вас со нашите возљубени Павле и Барнаба,
26. луѓе, кои ги предадоа своите души за нашиот Господ Исус Христос.
27. И така, ви ги испраќаме Јуда и Сила, кои лично ќе ви го соопштат истово.
28. Имено, Светиот Дух и ние решивме да не ставаме врз вас никакво друго бреме, освен овие неопходни работи:
29. да се воздржувате од нешта жртвувани на идоли, од крв, од задавено и од блудство; ако се

пазите од тоа, добро ќе направите. Збогум! '
30. И така пратените слегоа во Антиох, го собраа народот и го предадоа посланието.
31. А кога го прочитаа, се зарадуваа на утехата.
32. Јуда, пак, и Сила, кои и самите беа пророци, ги храбреа и ги закрепнуваа браќата со многу зборови.
33. И откако поминаа таму некое време, ги испратија браќата со мир кај оние што ги беа пратиле.
34. Сила пак реши да остане таму.
35. А Павле и Барнаба останаа во Антиох, каде што заедно со многу други поучуваа и го проповедаа Господовото слово.
36. По неколку дена Павле му рече на Барнаба: 'Да се вратиме повторно и да ги посетиме браќата по градовите, каде што го навестувавме Господовото слово, за да видиме како поминуваат!'
37. А Барнаба предложи да го поведат со себе и Јован, наречен Марко.
38. Но Павле сметаше дека не треба да го водат оној што се оддели од нив во Памфилија и не отиде со нив да работи.
39. И дојде до расправија, тики се разделија еден од друг. Барнаба го зеде со себе Марко и отплови за Кипар;
40. а Павле, кој беше предаден од браќата на Господовата благодат го избра Сила и тргна.
41. И, поминувајќи низ Сирија и Киликија, ги закрепнуваше црквите.

Глава 16

1. И така пристигна во Дерба и Листра. И ете, таму беше еден ученик по име Тимотеј, син на Еврејка, која веруваше, и на татко Грк.
2. Браќата во Листра и Иконија сведочеа добро за него.
3. Павле посака да го поведе со себе; го зеде и го обрежа заради Евреите населени по тие места, бидејќи сите знаеја оти татко му е Грк.
4. И додека одеа по градовите, им ги предаваа прописите што беа определени од апостолите и старешините во Ерусалим, за да ги пазат.
5. Црквите така се закрепнуваа во верата и секој ден нивниот број беше сѐ поголем.
6. Тие поминаа низ Вригиската и Галатската земја, зашто Светиот Дух им забрани да го проповедаат словото во Азија.
7. А кога дојдоа спроти Мисија, се обидоа да отидат во Битинија, но Исусовиот Дух не им дозволи.
8. И така, поминаа низ Мисија и слегоа во Троја.
9. И на Павле му се јави во ноќта видение: еден Македонец застана пред него и го молеше, велејќи: 'Дојди во Македонија и помогни ни!'
10. По тоа негово видение, веднаш побаравме да отидеме во Македонија, сметајќи дека Бог нѐ повикува таму да го проповедаме Евангелието.
11. Потоа отпловивме од Троја и патувавме право кон Самотраки,
12. а следниот ден во Неаполис, а оттаму во Вилипи, римска колонија и прв град во тој дел на Македонија. Во тој град престојувавме неколку дена.
13. А во саботата излеговме вон градските порти, крај реката, каде е место за молитва. Тука седнавме и им зборувавме на собраните жени.
14. Тоа го слушаше една богобојазлива жена по име Лидија, продавачка на пурпурно платно од градот Тијатир, а Господ и го отвори срцето да внимава на Павловите зборови.
15. Кога пак беше крстена таа и нејзините домашни, нѐ замоли, велејќи: 'Ако сметате дека верувам во Господ, влезете во мојот дом и останете.' И нѐ принуди.
16. А кога еднаш одевме на местото за молитва, нѐ сретна некоја девојка, робинка, која имаше змиски дух, и која со враџање им донесуваше голема печалба на своите господари.
17. Таа одеше по Павле и по нас, викајќи: 'Овие луѓе се слуги на Сѐвишниот Бог, кои ни го навестуваат патот на спасението.'
18. Тоа го правеше со денови. А кога му здодеа на Павле, се заврти и му рече на духот: 'Ти заповедам, во името на Исус Христос, да излезеш од неа!' И излезе во истиот час.
19. Кога нејзините господари видоа дека излезе и нивната надеж за печалба, ги фатија и ги одвлекоа Павле и Сила до пазарот, пред управителите.
20. Кога ги приведоа пред судиите, рекоа: 'Овие луѓе, кои се Евреи, го бунтуваат нашиов град
21. и навестуваат обичаи кои ние, како Римјани, не смееме да ги прифатиме ниту да ги вршиме.'
22. И целиот народ нагрвали на нив, а судиите им ги раскинаа облеките и заповедаа да ги тепаат со стапови.
23. И откако им удрија многу стапови, ги фрлија во зандана и му заповедаа на чуварот на занданата добро да ги чува.
24. Откако прими таква заповед, тој ги фрли во внатрешниот дел на занданата и нозете им ги стави во клада.
25. На полноќ, Павле и Сила се молеа и со песна Го славеа Бог, а затворениците ги слушаа.
26. Кога одеднаш настана силен потрес, така што се поместија темелите на занданата: во истиот час се отворија сите врати, и на сите им паднаа оковите.
27. А чуварот на занданата се разбуди и кога ги виде отворените врати на занданата, го извади мечот и сакаше да се убие, мислејќи дека затворениците избегале.
28. Но Павле викна со силен глас, велејќи: 'Не прави си себеси никакво зло, зашто сите сме

тука!'
29. А тој побара светлина, втрча внатре и треперејќи падна пред Павле и Сила;
30. па откако ги изведе надвор, рече: 'Господа, што треба да правам за да се спасам?'
31. Тие му рекоа: 'Верувај во Господ Исус и ќе бидете спасени ти и твојот дом.'
32. А потем им го говореа Господовото слово нему и на сите што беа во неговиот дом.
33. И тој ги зеде во тој час на ноќта, им ги изми раните од ударите и веднаш се крсти заедно со сите домашни.
34. Тогаш ги одведе горе во куќата, постави трпеза, и многу се израдуваа со сѐ домашните, зашто поверуваа во Бог.
35. А кога се раздени, главните судии испратија службеници и им рекоа: 'Ослободете ги луѓето!'
36. Чуварот на занданата му ги кажа тие зборови на Павле, велејќи: 'Судиите пратија да ве пуштам. Затоа сега излезете и одете си со мир!'
37. Но Павле им рече: 'Откако нас, римски граѓани, без претходно судење, јавно нѐ биеја и нѐ фрлија во зандана, зар сега сакаат тајно да нѐ пуштат? Никако! Туку самите нека дојдат и нека нѐ изведат!'
38. Судските службеници им ги соопштија овие зборови на судиите, а тие се исплашија кога чуја дека овие се римски граѓани.
39. И дојдоа, се извинија, ги изведоа и ги замолија да си заминат од градот.
40. И кога излегоа така од зандана, дојдоа кај Лидија, ги видоа браќата, ги охрабрија и си отидоа.

Глава 17

1. И откако поминаа преку Амфипол и Аполонија, пристигнаа во Солун, каде имаше еврејска синагога.
2. И по својот обичај, Павле влезе кај Евреите и, три саботи редум, со нив расправаше околу Писмото,
3. толкувајќи и докажувајќи дека Христос требаше да настрада и да воскресне од мртвите, велејќи: 'Исус, Кого јас ви Го навестувам е Христос.'
4. И некои од нив се уверија и се дружеа со Павле и Сила; а исто така и големо мнозинство побожни Грци и не мал број видни жени.
5. Но Евреите, поттикнати од завист, зедоа неколкумина злобни денгубници од пазарот и предизвикаа безредие во градот. Ја нападнаа Јасоновата куќа и бараа да бидат изведени пред толпата.
6. А кога не ги најдоа, ги одвлекоа Јасон и некои од браќата пред градските власти, викајќи: 'Оние, што го превртеа наопаку целиот свет, дојдоа и тука!
7. И Јасон ги прими! А сите тие работат против цезаровите заповеди, тврдејќи дека има друг цар - Исус!'
8. Така, кога народот и градските власти го чуја тоа се вознемирија,
9. но откако добија гаранција од Јасон и од другите, ги пуштија.
10. Браќата веднаш, уште во ноќта, ги испратија Павле и Сила во Берија; тие, пак, кога дојдоа таму, отидоа во еврејската синагога.
11. Тука беријците беа поблагородни од оние во Солун, зашто го примија Словото сосем подготвено, и секој ден го проучуваа Писмото дали е така.
12. И мнозина од нив поверуваа; а не малку и од видните грчки жени и мажи.
13. А кога солунските Евреи дознаа дека Павле и во Берија го проповеда Божјото слово, дојдоа и таму и го спотнаа и го растревожија народот.
14. Тогаш браќата веднаш го испратија Павле кон морето. А Сила и Тимотеј останаа таму.
15. Придружниците пак го доведоа Павле до Атина, и откако примија заповед за Сила и Тимотеј да дојдат што побргу кај него, заминаа.
16. Додека Павле ги чекаше во Атина, духот му се вознемири, гледајќи го градот полн со идоли.
17. И разговараше со Евреите во синагогата и со побожните; а и секој ден на пазарот со кого ќе се најдеше,
18. А некои од епикурејските и стоичките филозофи почнаа да се препираат со него, па едни велеа: 'Што сака да каже овој дрдорко?' А други: 'Се гледа дека е предвесник на туѓи богови,' зашто проповеда за Исус и за воскресението.
19. Тогаш го зедоа, го одведоа на Ареопагот и рекоа: 'Можеме ли да знаеме какво е тоа ново учење, што го проповедаш?
20. Со чудни тврдења ни ги полниш ушите; затоа сакаме да знаеме што е тоа?'
21. (А сите Атињани и странците меѓу нив си го минуваа времето само во тоа да кажат или да чујат некаква новост.)
22. Тогаш Павле застана сред Ареопагот и рече: 'Атињани! Гледам по сè дека сте многу суеверни.
23. Имено, минувајќи и набљудувајќи ги вашите светилишта, најдов и жртвеник, на кого беше напишано: 'На непознат Бог'. И така, тоа што вие го почитувате не познавајќи го, јас тоа ви го навестувам.
24. Богот, Кој го создаде светот и сè што е во него, како Господар на небото и на земјата, не живее во ракотворни светилишта
25. ниту прима служба од човечки раце како да има потреба од нешто; зашто Тој, Самиот, им дава на сите живот, здив и сè.
26. И Тој од еден ги создаде сите народи за да се населат по целата земја, откако им определи

одредени времиња и граници на нивните живеалишта,
27. за да Го бараат Бог, та нема ли некако да Го напипаат и најдат, бидејќи Тој не е далеку од ниеден од нас.
28. Зашто во Него живееме, се движиме и постоиме, како што и некои од вашите поети рекле: 'И ние сме Негово потомство.'
29. И бидејќи сме Божјо потомство, не треба да мислиме дека Божеството прилега на злато, сребро или камен; како творба на човечката уметност и замисла.
30. И така, не гледајќи на времињата на незнаењето, Бог сега им заповеда на луѓето да се покајат сите и насекаде,
31. зашто го определи денот, кога ќе му суди праведно на целиот свет - преку Човек Кого Го определил за тоа, давајќи им на сите уверување со тоа што Го воскресна од мртвите.'
32. А кога чуја за воскресението од мртвите, едни се подбиваа, а други рекоа: 'Ќе те слушаме другпат за тоа.'
33. И така, Павле си отиде од кај нив.
34. Сепак, некои мажи му се придружија и поверуваа, меѓу кои беа и Дионисиј Ареопагит, жената по име Дамара и други покрај нив.

Глава 18

1. Потоа Павле тргна од Атина и дојде во Коринт.
2. Таму најде еден Евреин по име Акила, родум од Понт, кој неодамна беше дошол од Италија, заедно со жена си Присцила, зашто Клавдиј заповеда сите Евреи да го напуштат Рим. Дојде кај нив,
3. и бидејќи го знаеше истиот занает, остана кај нив да работи, зашто нивниот занает беше изработка на шатори.
4. А секоја сабота водеше расправа во синагогата и ги убедуваше Евреите и Грците.
5. А кога Сила и Тимотеј слегоа од Македонија, Павле беше поттикнат во духот ревносно да им сведочи на Евреите дека Исус е Христос.
6. Но, бидејќи тие се противеа и хулеа, тој си ја истресе облеката и им рече: 'Вашата крв на вашите глави! Јас сум чист и отсега ќе одам кај неевреите.'
7. И замина оттаму па дојде во домот на некојси Титиј Јуст, богобојазлив човек, чија куќа беше до синагогата.
8. И Крисп, началникот на синагогата, со сите свои домашни, поверува во Господ; и мнозина Коринќани, кои го слушаа, поверуваа и беа крстени.
9. А Господ му рече на Павле, ноќе, во видение: 'Не плаши се! Туку зборувај и не замолкнувај,
10. зашто Јас сум со тебе! И никој нема да те нападне за да ти направи некакво зло, зашто имам многу свои луѓе во овој град. '
11. И така преседе година и шест месеци поучувајќи ги во Божјото слово.
12. А кога Галио беше управител на Ахаја, Евреите еднодушно станаа против Павле и го доведоа пред судскиот стол,
13. велејќи: 'Овој човек ги наговара луѓето да Го почитуваат Бог спротивно на законот.'
14. Кога Павле сакаше да ја отвори устата, Галио им рече на Евреите: 'Ако беше во прашање некаква неправда или зло дело, о Евреи, се разбира, ќе ве истрпев.
15. Но ако е тоа прашање за зборови, за имиња и за вашиот закон, пресудете сами; јас не сакам да бидам судија во тие работи. '
16. И ги истера од судот.
17. Тогаш сите го фатија Состен, началникот на синагогата, и го тепаа пред судот, а Галио не сакаше ни да знае за тоа.
18. Павле остана таму уште многу денови, а патем се збогува со браќата и отплови за Сирија, а со него беа Присцила и Акила; во Кенхреја ја избричи главата, зашто се беше заветувал.
19. А кога стигнаа во Ефес, ги остави двајцата, а самиот влезе во синагогата да расправа со Евреите.
20. Кога го замолија да остане подолго време, не се согласи,
21. туку се збогува со нив и рече: 'Ако Бог даде, пак ќе се вратам кај вас.' И отплови од Ефес.
22. Кога стигна во Цезареја, се искачи во Ерусалим; ја поздрави црквата и слезе во Антиох.
23. Откако помина таму некое време, замина и ги помина редум Галатската област и Вригија, поткрепувајќи ги сите ученици.
24. А некојси Евреин, по име Аполос, родум александриец, човек благоглаголив и мошне упатен во Писмата, дојде во Ефес.
25. Тој беше поучен во Господовиот Пат, и со својот распален дух зборуваше и поучуваше точно за Исус, иако го знаеше само Јовановото крштавање.
26. Тој почна смело да говори во синагогата, а кога го чуја Присцила и Акила, го зедоа при себе, и му објаснија подетално за Божјиот Пат.
27. Кога сакаше да замине за Ахаја, браќата го охрабрија и им напишаа на учениците да го примат. Штом пристигна, многу им помогна на оние кои беа поверувале преку благодатта;
28. зашто тој силно и јавно ги побиваше Евреите, докажувајќи преку Писмата дека Исус е Христос.

Глава 19

1. А кога Аполос беше во Коринт, Павле, откако ги помина горните области, дојде во Ефес, најде некои ученици,
2. па им рече: 'Дали Го примивте Светиот Дух откако поверувавте?' Тие му одговорија: 'Не сме ни чуле дека има Свет Дух.'
3. Тој уште им рече: 'А во што се крстивте?' Тие рекоа: 'Во Јовановото крштавање.'
4. А Павле рече: 'Јован крштаваше со крштавање за покајание, велејќи му на народот да верува во Оној Кој ќе дојде по него, односно во Христос Исус.'
5. Откако го чуја тоа, беа крштавани во името на Господ Исус.
6. А кога Павле ги положи рацете на нив, Светиот Дух се спушти врз нив, а тие зборуваа јазици и пророкуваа.
7. А беа вкупно околу дванаесет мажи.
8. Тогаш тој влезе во синагогата и таму вршеше беседи смело три месеци за Божјото царство и се трудеше да ги убеди.
9. Но бидејќи некои беа корави и непокорни, и пред народот зборуваа зло за Патот, тој отстапи од нив и ги оддели учениците, и секојдневно поучуваше во училиштето на Тиран.
10. Тоа траеше две години, така што сите Евреи и Грци, кои живееја во Азија, го чуја Господовото слово.
11. А Бог правеше необични чуда преку Павловите раце,
12. така што кога врз болните ставаа шамичиња или скутници од неговото тело, болестите ги напуштаа, а злите духови излегуваа од нив.
13. А некои од еврејските истерувачи на демони, кои одеа од место во место, почнаа над оние кои имаа зли духови да го повикуваат името на Господ Исус, велејќи им: ' Ве истеруваме преку Исус, Кого Павле Го проповеда! '
14. Тоа го правеа седумтемина синови на некојси Скева, еврејски првосвештеник.
15. Но злиот дух одговори, велејќи им: 'Го познавам Исус, го знам и Павле, а кои сте вие?'
16. Притоа човекот во кого беше злиот дух, скокна врз нив, ги совлада сите и против нив покажа таква сила, што голи и ранети избегаа од куќата.
17. Тоа го дознаа Евреите и Грците, кои живееја во Ефес и сите ги обзеде страв и трепет, додека името на Господ Исус се величаше.
18. А мнозина од оние кои беа поверувале, доаѓаа и исповедувајќи се ги кажуваа своите дела.
19. Оние, пак, кои се занимаваа со магии, ги донесуваа своите свитоци на куп и ги гореа пред сите. И кога ја пресметаа нивната цена, најдоа дека вредат педесет илјади сребреници.
20. И така Словото, преку Божјата сила, растеше и напредуваше сè посилно.
21. Кога се сврши сето тоа, Павле науми во својот дух, откако ќе помине низ Македонија и Ахаја, да отиде во Ерусалим, велејќи: 'Штом ќе бидам таму, треба да го видам и Рим.'
22. И испрати во Македонија двајца свои помошници, Тимотеј и Ераст, а самиот остана уште некое време во Азија.
23. Во тоа време се крена голема бркотија заради Патот;
24. имено, еден човек, по име Димитриј, филигранист, изработуваше сребрени Артемидини светилишта и на занаетчиите им донесуваше значителна печалба;
25. откако ги собра нив и работниците со слични занаети им рече: 'Мажи, вие знаете дека нашата благосостојба доаѓа од оваа работа,
26. а гледате и слушате дека овој Павле, не само во Ефес, туку речиси во цела Азија, убеди и одврати голема множество луѓе, велејќи дека богови направени со раце - не се богови.
27. Впрочем, не постои опасност само нашиов занает да биде презрен, туку и храмот на големата божица Артемида ќе се смета за ништожен, и ќе му се наштети на величието на онаа, која ја почитува сета Азија и целиот свет.
28. Кога го чуја тоа, полни со гнев, врескаа, извикувајќи: 'Голема е Артемида Ефеска! '
29. И целиот град се претвори во безредие, а луѓето еднодушно навлегоа во театарот и ги

одвлекоа Гај и Аристарх, Павлови сопатници од Македонија.
30. А кога Павле сакаше да влезе во толпата, учениците го спречија.
31. Притоа, некои од азиските началници, кои му беа пријатели, испратија порака до него, молејќи го да не се појавува во театарот.
32. Едни викаа едно, а други друго, зашто собирот беше збунет и мнозина не знаеја зошто се беа собрале.
33. Тогаш го извлекоа од толпата Александар, кого Евреите го туркаа напред. Александар, пак, мавна со раката и сакаше да даде објаснување пред толпата.
34. Но кога дознаа дека е Евреин, сите викаа едногласно и извикуваа околу два часа: 'Голема е Артемида Ефеска!'
35. Најпосле градскиот писар го смири народот и рече: 'Луѓе, ефешани! Кој е тој човек, кој не знае дека градот Ефес е чувар на храмот на големата Артемида и на нејзиниот кип што падна од небото?
36. Бидејќи тоа е неспорно, вие треба да бидете мирни и да не преземате ништо непромислено!
37. Ги доведовте овие луѓе, кои ниту го ограбија храмот, ниту хулат на нашата божица.
38. Затоа, ако Димитриј и занаетчиите кои се со него имаат тужба против некого, судовите се за тоа, а постојат и проконзули, нека се тужат едни со други.
39. Но ако барате нешто друго, тоа ќе биде решено законски во собранието,
40. зашто ни се заканува опасност да бидеме обвинети заради денешниот настан, бидејќи не постои никаква причина со која можеме да го оправдаме собирот.' Кога го рече тоа, го распушти собирот.

Глава 20

1. Кога стивна вревата, Павле ги повика учениците, ги охрабри, се збогува со нив и тргна на пат за Македонија.
2. Откако ги помина оние краишта и ги охрабри со многу зборови, дојде во Грција.
3. Таму остана три месеци, бидејќи Евреите направија заговор против него, а кога сакаше да отплови за Сирија, реши да се врати преку Македонија.
4. Го придружуваа Сопатер, синот на Пир, од Берија, солунците Аристарх и Секунд, Гај од Дерба и Тимотеј, како и Тихик и Трофим од Азија.
5. Тие отидоа напред и нѐ чекаа во Троја.
6. А ние отпловивме од Вилипи, по деновите на Бесквасните лебови, и по пет дена дојдовме кај нив во Троја, каде што останавме седум дена.
7. А кога во првиот ден на седмицата се состанавме да раскршуваме леб, Павле им држеше беседа, зашто утредента сакаше да замине. Тој продолжи со беседата до полноќ,
8. а во горната соба, каде се бевме собрале, имаше многу светилки.
9. Едно момче, по име Евтих, кое седеше на прозорецот, почна да запаѓа во длабок сон и тоа, бидејќи Павле подолго зборуваше, совладано од сонот, падна од третиот кат долу и го дигнаа мртво.
10. Но Павле слезе, му се фрли, го прегрна и рече: 'Не возбудувајте се, зашто неговата душа сѐ уште е во него!'
11. Потоа се качи горе, раскрши леб, и поткасна, и им зборуваше долго, сѐ до мугрите, кога отпатува.
12. А момчето го доведоа живо и многу се утешија.
13. Ние тргнавме порано со коработ и отпловивме во Асос, откаде требаше да го земеме Павле, зашто така беше порачал, сакајќи да оди пеш.
14. А кога се состана со нас во Асос, го зедовме и дојдовме во Митилин.
15. И оттаму отпловивме и утредента дојдовме спроти Хиос. На другиот ден стигнавме во Самос, а следниот ден дојдовме во Малта.
16. Павле реши да помине покрај Ефес, а да не се задржи подолго време во Азија, зашто му се брзаше, ако е можно да биде за денот на Педесетница во Ерусалим.
17. Од Малта Павле јави во Ефес да ги повикаат старешините на црквата.
18. А кога дојдоа кај него, им рече: 'Вие знаете како го поминав со вас целото време, од првиот ден кога стапив во Азија,
19. служејќи Му на Господ со сета понизност, со солзи и со искушенија, што ме снајдоа од еврејските заговори;
20. како не пропуштив да ви кажам сѐ што е полезно и да ве поучам јавно и по домовите;
21. сведочејќи им сериозно на Евреите и на Грците за покајание кон Бог и кон верата во нашиот Господ Исус.
22. А сега, еве, поттикнат од Духот, одам во Ерусалим, не знаејќи што ќе ми се случи таму,
23. освен што Светиот Дух ми сведочи, во секој град, велејќи дека ме чекаат окови и маки.
24. Но мене ни најмалку не ми е до животот, туку само да го завршам својот пат и службата, што ја примив од Господ Исус: сериозно да го посведочам Евангелието на Божјата благодат.
25. И еве, сега знам дека сите вие, меѓу кои поминав проповедајќи го Божјото царство, не ќе го видите веќе моето лице.
26. Затоа ви сведочам во овој ден дека сум чист од крвта на сите вас;
27. зашто не пропуштив да ви ја кажам целосната Божја намера.
28. Внимавајте на себе и на целото стадо, во кое Светиот Дух ве постави за надгледувачи, за да бидете пастири на Божјата црква, која Тој ја откупи со Својата крв.
29. Јас знам дека по моето заминување меѓу вас ќе навлезат свирепи волци, кои нема да го штедат стадото;
30. а и од вас самите ќе се подигнат мажи, кои ќе зборуваат изопачено, за да ги одвлечкаат

учениците по себе.
31. Затоа, бдејте и помнете дека три години, ноќе и дење, не прекратив да го советувам со солзи секој еден од вас!
32. И сега ве препорачувам на Бог и на Словото на Неговата благодат, кое е во состојба да изградува и да ви даде наследство меѓу сите осветени.
33. Сребро, злато или облека, не посакав од никого.
34. Самите знаете дека овие раце им послужија на моите потреби и на оние кои беа со мене.
35. Во сѐ ви покажав дека така треба да се трудите и да им помагате на немоќните, и да си спомнувате на зборовите на Господ Исус, како што рече Самиот Тој: 'Поблажено е да се дава, отколку да се прима.''
36. Кога го рече тоа, клекна на колена и се помоли со сите нив.
37. Тогаш сите заплакаа гласно, и паднаа во прегратката на Павле и топло го целиваа,
38. нажалени најмногу од зборот што го рече дека веќе нема да го видат неговото лице. И го испратија до коработ.

Глава 21

1. Кога се оделивме од нив и отпловивме, дојдовме право во Кос, а следниот ден на Родос и оттаму во Патара.
2. И кога најдовме кораб, што тргнуваше за Веникија, влеговме во него, и отпловивме.
3. А кога го здогледавме Кипар, го оставивме одлево и отпловивме кон Сирија; и слеговме во Тир, зашто таму коработ требаше да се растовари.
4. И кога ги најдовме учениците, останавме таму седум дена. Тие, вдахновени од Духот, му зборуваа на Павле да не оди горе во Ерусалим.
5. И кога завршија тие дни, заминавме оттаму и го продолживме нашето патување, а тие сите нѐ испратија, со жените и децата надвор од градот; а откако на брегот клекнавме и се помоливме, се збогувавме едни со други.
6. Тогаш ние влеговме во коработ, а тие се вратија во своите домови.
7. Завршувајќи го пловењето од Тир, стигнавме во Птолемаида, каде што ги поздравивме браќата и останавме со нив еден ден.
8. А на следниот ден отпатувавме и дојдовме во Цезареја и влеговме во куќата на евангелистот Вилип, кој беше еден од седумтемина, и останавме кај него.
9. Тој имаше четири ќерки девици, кои пророкуваа.
10. Бидејќи престојувавме таму многу дни, дојде од Јудеја еден пророк, по име Агаб.
11. И кога дојде кај нас, го зеде Павловиот појас, си ги врза рацете и нозете, и рече: 'Светиот Дух го вели ова: 'Човекот, чиј е овој појас, Евреите во Ерусалим ќе го врзат вака и ќе го предадат во рацете на неевреите'.'
12. Кога го чувме тоа, и ние и тамошните жители го молевме да не оди горе во Ерусалим.
13. Тогаш Павле одговори: 'Што правите? Зошто плачете и ми го кинете срцето? Јас сум готов не само да бидам врзан, туку и да умрам во Ерусалим за името на Господ Исус.'
14. И бидејќи не можевме да го наговориме, ние замолкнавме и рековме: 'Нека биде Господовата волја!'
15. По тие денови се приготвивме и тргнавме горе кон Ерусалим.
16. Со нас тргнаа и некои ученици од Цезареја и нѐ одведоа кај некојси Мнасон, Кипранин, дамнешен ученик, за да бидеме негови гости.
17. Кога стигнавме во Ерусалим, браќата нѐ примија радосно.
18. На идниот ден Павле отиде со нас кај Јаков, а сите старешини беа присутни.
19. И откако ги поздрави, им раскажа едно по едно сѐ што Бог, преку неговата служба, направи меѓу неевреите.
20. А кога го чуја тоа, Го прославија Бог и му рекоа: 'Гледаш, брате, колку илјади верници има меѓу Евреите, и сите се грижат за Законот;
21. а за тебе се известени дека сите Евреи, кои се меѓу народите, ги поучуваш да отстапат од Мојсеј, велејќи им да не ги обрежуваат своите деца, ниту да живеат според обичаите.
22. И така, што сега!? Бездруго ќе чујат дека си дошол.
23. Затоа направи како што ќе ти кажеме: меѓу нас има четворица мажи кои се заветувале;
24. земи ги и исчисти се заедно со нив и плати за нив да си ги избричат главите. Така сите ќе дознаат дека нема ништо од она, што чуле за тебе, и дека и самиот го исполнуваш Законот.
25. А за неевреите, кои поверувале, решивме и им пишавме: да се воздржуваат од нешта жртвувани на идоли, од крв, од задавено и од блудство.'
26. Тогаш Павле ги зеде со себе тие мажи, и на следниот ден, откако се исчисти со нив заедно, влезе во Храмот и објави завршување на деновите на исчистувањето, кога за секој од нив ќе биде принесена жртва.
27. А кога седумте денови речиси завршија, Евреите од Азија, откако го забележаа во Храмот, го разбунтуваа целиот народ и го фатија,
28. викајќи: 'Израелци, помагајте! Овој е човекот кој насекаде ги учи сите против нашиот народ, против Законот и против ова место! Освен тоа, воведе и Грци во Храмот и така го

оскверни ова свето место!'
29. Имено, тие порано во градот го имаа видено ефешанецот Трофим со него и мислеа дека Павле го вовел во Храмот.
30. И целиот град се разбранува и народот се собра, го фатија Павле и го извлекоа надвор од Храмот, па веднаш ги затворија вратите.
31. А кога сакаа да го убијат, дојде глас до заповедникот на четата дека целиот Ерусалим е разбунтуван.
32. Овој, пак, веднаш зеде војници и стотници и дотрча до нив. Кога ги видоа заповедникот и војниците, тие прекратија да го тепаат Павле.
33. Тогаш заповедникот му се приближи, го фати и заповеда да го врзат во двојни вериги и распрашуваше кој е и што сторил.
34. Едни од толпата викаа едно, а други друго и бидејќи од викотницата не можеше ништо веродостојно да дознае, заповедникот заповеда да го одведат во тврдината.
35. А кога беше на скалите, војниците мораа да го кренат на раце поради насилничките постапки на толпата;
36. зашто многу народ одеше по него и викаше: 'Убијте го!'
37. И кога требаше да го воведат во тврдината, Павле му рече на заповедникот: 'Смеам ли да ти кажам нешто?' Овој пак рече: 'Знаеш ли грчки?
38. Да не си ти оној Египќанец, кој пред некое време побуни и одведе во пустината четири илјади мажи убијци?'
39. А Павле одговори: 'Јас сум Евреин од Тарс, од Киликија, граѓанин на познатиот град, и те молам да ми одобриш да му се обратам на народот!'
40. И кога му дозволи, Павле застана на скалите и му мавна со рака на народот. А кога настана голема тишина, проговори на еврејски јазик и рече:

Глава 22

1. 'Мажи, браќа и татковци! Чујте ја мојата одбрана'
2. Кога чуја дека им говори на еврејски јазик, се смирија уште повеќе. И рече:
3. 'Јас сум Евреин, роден во Киликиски Тарс, израснат во овој град, воспитан при Гамалиеловите нозе, научен строго според законот на нашите татковци, оддаден на Бог, како и сите вие денес.
4. Го гонев овој Пат до смрт; и врзував и предавав во зандани мажи и жени,
5. како што може да посведочи за мене врховниот свештеник со сите старешини. Од нив примив и писма за браќата во Дамаск, каде одев за да ги приведам врзани во Ерусалим и оние, кои беа таму, за да бидат казнети.
6. Кога одев и наближив до Дамаск, одеднаш, околу пладне, ме осветли голема светлина од небото.
7. Паднав ничкум на земјата и чув глас како ми зборува: 'Савле, Савле, зошто Ме гониш?'
8. А јас одговорив: 'Кој си ти, Господине?' И ми рече: 'Јас сум Исус Назареќанецот, Кого ти Го прогонуваш.'
9. А оние кои беа со мене, ја видоа светлината, но не го чуја гласот што ми зборуваше.
10. Тогаш реков: 'Што да правам, Господи?' А Господ ми рече: 'Стани и оди во Дамаск и таму ќе ти се каже сѐ што ти е определено да правиш!'
11. И бидејќи не можев да гледам од болскотот на светлината, оние што беа со мене ме поведоа за рака и така дојдовме во Дамаск.
12. А некојси Ананиј, благочестив маж според Законот, за кого сведочеа добро сите тамошни Евреи,
13. дојде кај мене, ми се доближи и рече: 'Брате Савле, прогледај!' И јас во истиот миг погледав во него.
14. А тој рече: 'Богот на нашите татковци однапред те определил да ја познаеш Неговата волја, да Го видиш Праведникот и да го чуеш гласот од Неговата уста,
15. зашто ќе Му бидеш сведок пред сите луѓе за она што си видел и чул.
16. А што се двоумиш сега? Стани, крсти се и измиј се од своите гревови, повикувајќи го Господовото име.'
17. Кога пак се вратив во Ерусалим и кога се молев во Храмот,
18. Го видов како ми вели: 'Побрзај и излези бргу од Ерусалим, зашто нема да го примат твоето сведоштво за Мене!'
19. А јас реков: 'Господи, тие знаат дека јас ги затворав и ги тепав по синагогите оние кои веруваа во Тебе;
20. и кога се пролеваше крвта на Твојот сведок Стефан, и јас стоев таму, одобрував и ги чував облеките на оние што го убиваа.'
21. А тој ми рече: 'Оди, зашто ќе те испратам далеку, меѓу нееврејските народи!'
22. Тие го слушаа до тој збор, а тогаш извикаа со силен глас: 'Тргнете го од земјата таквиот, зашто не треба да живее!'
23. Додека тие викаа така, ги кинеа своите облеки и фрлаа прав во воздухот,
24. заповедникот нареди да го одведат во тврдината, велејќи да го испитаат со камшик, за да дознае зошто викаат така против него.
25. А кога го испружија и го врзаа со ремени, Павле му рече на стотникот кој стоеше таму: 'Зар смеете да камшикувате римски граѓанин, и тоа неосуден?'
26. Кога стотникот го чу тоа, отиде и го извести заповедникот, велејќи: 'Што ќе сториш? Овој човек е римски граѓанин!'
27. Тогаш заповедникот дојде кај него и му рече: 'Кажи ми, навистина ли си римски граѓанин?' А тој рече: 'Да!'
28. Заповедникот одговори: 'Јас го добив тоа граѓанство за голема сума.' Павле рече: 'А јас се родив со него.'

29. И веднаш отстапија од него тие што сакаа да го испитуваат. Заповедникот исто така се уплаши кога дозна дека тој е римски граѓанин, зашто го беше врзал.
30. Утредента, сакајќи да знае точно зошто Евреите го обвинуваат, го ослободи, и заповеда да се соберат првосвештениците и целиот Совет, па го доведе долу Павле и го постави пред нив.

Глава 23

1. А Павле погледна втренчено кон Советот и рече: 'Мажи, браќа, јас живеев со наполно чиста совест пред Бог до овој ден.'
2. Тогаш врховниот свештеник Ананиј им нареди на оние што стоеја до него да го удрат по устата.
3. Притоа Павле му рече: 'Бог ќе те удри тебе, варосан ѕиду! И ти седиш за да ми судиш според Законот, а заповедаш да ме тепаат спротивно на Законот!'
4. А оние што стоеја наоколу рекоа: 'Божјиот врховен свештеник ли го навредуваш?'
5. А Павле рече: 'Не знаев, браќа, дека е врховен свештеник; зашто е напишано: 'Не зборувај лошо за началникот на својот народ!'
6. Кога Павле сфати дека дел од нив се садукеи, а другите фарисеи, извика во Советот: 'Мажи, браќа, јас сум фарисеј, син на фарисеј; ме судат заради надежта и воскресението на мртвите.'
7. Кога го рече тоа, настана расправа меѓу фарисеите и садукеите, и собирот се подели;
8. зашто садукеите велат дека нема воскресение, ни ангел, ни дух, а фарисеите го признаваат сето тоа.
9. И така, настана голема врева. А некои од закониците на фарисејската група станаа и се препираа, велејќи: 'Не наоѓаме никакво зло кај овој човек, можеби му зборувал дух или ангел.'
10. И бидејќи расправијата стана жестока, заповедникот се исплаши да не го растргнат Павле, па и заповеда на војската да слезе и да го грабне од нивната средина, и да го одведе во тврдината.
11. Следната ноќ Господ застана пред него и му рече: 'Биди храбар! Онака како што сведочеше сериозно за Мене во Ерусалим, така треба да сведочиш и во Рим.'
12. А кога се раздени, Евреите сковаа заговор и се заколнаа дека не ќе јадат, ниту пијат, додека Павле не биде убиен.
13. Беа повеќе од четириесетмина, кои учествуваа во заговорот.
14. Тие дојдоа кај првосвештениците и старешините и им рекоа: 'Се обврзавме со свечена заклетва дека нема да вкусиме ништо додека не го убиеме Павле.
15. Затоа сега вие, заедно со Советот, поднесете му барање на заповедникот да го доведе долу кај вас, божем сакате поточно да го испитате неговото дело, а ние сме готови да го убиеме пред да се приближи.'
16. Но синот на Павловата сестра чу за заседата, отиде и влезе во тврдината и му јави на Павле.
17. А Павле повика еден од стотниците и му рече: 'Одведи го момчево кај заповедникот, зашто има да му соопшти нешто!'
18. Стотникот го зеде и го одведе кај заповедникот и рече: 'Затвореникот Павле ме викна и ме замоли да го доведам кај тебе ова момче, зашто имало нешто да ти каже.'
19. Тогаш заповедникот го зеде за рака, се повлече со него насамо и го праша: 'Што имаш да ми соопштиш?'
20. А момчето рече: 'Евреите се договорија да те замолат да го одведеш утре Павле долу, во Советот, божем сакаат поточно да се распрашаат за него.
21. Но немој да ги послушаш, зашто го демнат повеќе од четириесет нивни луѓе, кои се заколнаа да не јадат, ниту да пијат, додека не го убијат. И сега се подготвени, само го чекаат твоето ветување.'
22. Тогаш заповедникот го пушти момчето и му нареди: 'Не кажувај никому, дека ме извести за ова.'
23. И повика двајца од стотниците, и им рече: 'Пригответе двесте војници, седумдесет коњаници и двесте стрелци, за да тргнат за Цезареја во третиот час на ноќта.
24. Пригответе и добиток, за да го качат Павле и да го одведат безбедно до управителот Великс!'
25. И напиша писмо со следнава содржина:

26. 'Клавдиј Лисиј, до угледниот управител Великс. Поздрав!
27. Кога овој човек го фатија Евреите и сакаа да го убијат, јас дојдов со војската и го извлеков, бидејќи дознав дека е Римјанин.
28. Сакајќи да ја испитам причината за која го обвинуваат, го доведов долу во нивниот Совет.
29. И најдов дека го обвинуваат заради спорни прашања од нивниот Закон, но дека нема никаква вина која заслужува смрт или окови.
30. А кога ме известија дека се подготвува заговор против овој човек, веднаш го испратив кај тебе, а обвинителите ги упатив да кажат, пред тебе, што имаат против него.'
31. Тогаш војниците, според дадената им заповед, го зедоа Павле и го одведоа ноќе во Антипатрис,
32. а утредента ги оставија коњаниците да одат со него, а тие се вратија во тврдината.
33. И кога влегоа во Цезареја, му го врачија писмото на управителот и му го претставија и Павле.
34. А тој кога го прочита писмото, го праша од која област е, и дозна дека е од Киликија,
35. па му рече: 'Ќе те ислушам кога ќе дојдат и твоите обвинители.' И заповеда да го чуваат во Иродовата палата.

Глава 24

1. А по пет дена врховниот свештеник Ананиј, слезе со неколку старешини и со некојси говорник Тертул, па истапија пред управителот против Павле.
2. И кога го повикаа, Тертул почна да го обвинува, велејќи: 'Голем мир уживаме благодарение на твоите реформи и со твојата промисленост многу нешта се поправија кај народов;
3. тоа, ние, честити Великсе, со секаква благодарност го признаваме на секој начин и на секое место.
4. Но, за да не те задржувам повеќе, те молам да нè ислушаш накратко со твоето трпение.
5. Еве, најдовме дека овој човек е вистинска невола, дека предизвикува препирки меѓу сите Евреи по целиот свет и дека е водач на назарејската секта.
6. Се обиде да го оскверни и Храмот. Ние го фативме и сакавме да му судиме според нашиот Закон,
7. но дојде заповедникот Лисиј, со голема сила, и го грабна од нашите раце,
8. и заповеда неговите обвинители да дојдат кај тебе. Ако го испрашуваш самиот, ќе можеш да го дознаеш од него сето она за кое ние го обвинуваме.'
9. А Евреите потврдија дека е така.
10. А кога управителот му даде знак да зборува, Павле одговори: 'Бидејќи знам дека многу години си му судија на народов, јас, од сè срце, ќе зборувам во своја одбрана.
11. Ти самиот можеш да дознаеш дека нема повеќе од дванаесет дена, откако отидов горе во Ерусалим, на поклонение,
12. и не ме најдоа ни во Храмот, ни во синагогите, ниту во градот како се расправам со некого или го бунтувам народот,
13. а не можат ни тебе да ти го докажат она заради што ме обвинуваат сега.
14. Но тебе ти признавам дека според Патот, кого тие го нарекуваат секта, така Му служам на Богот на нашите татковци, верувајќи во сè што е според Законот и Пророците,
15. и дека се надевам во Бог, како и самите овие дека ќе има воскресение на праведните и неправедните.
16. Затоа и самиот се трудам секогаш да имам чиста совест и пред Бог и пред луѓето.
17. По многу години дојдов да му донесам милостина на својот народ и да принесам жртви,
18. при што ме најдоа, исчистен во Храмот, без народ и без врева. Но имаше некои Евреи од Азија,
19. кои требаа да излезат пред тебе и да ме обвинат, ако имаа нешто против мене.
20. Или овие сами нека кажат каква неправда најдоа во мене, кога стоев пред Советот,
21. освен ако се работи за оваа изјава што ја извикав гласно, стоејќи меѓу нив: 'заради воскресението на мртвите ме судите денес!''
22. Тогаш Великс, кој мошне добро го познаваше Патот, го одложи нивното дело, велејќи: 'Кога ќе дојде заповедникот Лисиј, ќе го решам вашето дело.'
23. А на стотникот му заповеда да го чуваат Павле, но да му даваат извесна слобода и да не му бранат никому од неговите да му доаѓаат и да му служат.
24. А по неколку денови дојде Великс со жена си Друзила, која беше Еврејка, го повика Павле и ги слушаше неговите зборови за верата во Христос Исус.
25. А кога зборуваше за праведноста, за воздржувањето и за идниот суд, Великс се уплаши и одговори: 'Сега оди си! А кога ќе најдам време, пак ќе те викнам.'
26. Меѓутоа, истовремено се надеваше дека Павле ќе му даде пари и затоа почесто го викаше и разговараше со него.
27. А кога поминаа две години, Порциј Вест го наследи Великс. Сакајќи да им угоди на Евреите, Великс го остави Павле во окови.

Глава 25

1. А кога Вест пристигна во покраината, по три дни, од Цезареја отиде горе во Ерусалим,
2. каде што првосвештениците и еврејските првенци истапија пред него против Павле, и го молеа,
3. барајќи услуга против него, да го спроведе во Ерусалим (поставувајќи заседа, да го убијат на патот).
4. Но, Вест во одговор рече дека Павле ќе биде задржан во Цезареја, каде што и тој самиот набргу ќе отиде.
5. 'Затоа', рече тој, 'влијателните меѓу вас нека слезат со мене, и ако е виновен во нешто тој човек, нека го обвинат.'
6. Откако слезе во Цезареја, се задржа меѓу нив осум до десет дена, и веќе следниот ден седна во судот и заповеда да го доведат Павле.
7. А кога тој дојде, го опкружија Евреите, кои дојдоа од Ерусалим, и изнесоа против него многу тешки обвиненија, кои не можеа да ги докажат;
8. а Павле во своја одбрана велеше: 'Со ништо не се огрешив ни против јудејскиот Закон, ни против Храмот, ниту против цезарот.'
9. Но Вест, сакајќи да им угоди на Евреите, му одговори на Павле и рече: 'Сакаш ли да отидеш горе, во Ерусалим, и да ти се суди таму за ова пред мене?'
10. А Павле рече: 'Стојам пред цезаревиот суд - каде што треба да бидам суден. На Евреите не им сторив никаква неправда, како што и ти самиот многу добро знаеш.
11. Ако сум пак виновен, или ако направив нешто што заслужува смрт, не одбивам да умрам. Но, ако нема ништо од она за што овие ме обвинуваат, никој не може да ме предаде на нив. Се повикувам на цезарот.'
12. Тогаш Вест поразговара со својот совет и одговори: 'Се повика на цезарот, кај цезарот и ќе одиш.'
13. Кога поминаа неколку денови, царот Агрипа и Бернис дојдоа во Цезареја, за да го поздрават Вест.
14. И бидејќи таму се задржаа повеќе денови, Вест го изнесе пред царот Павловото дело: 'Великс остави еден човек во занданата,
15. против кого, кога бев во Ерусалим, истапија првосвештениците и еврејските старешини и бараа да го осудам.
16. Јас им одговорив дека не е вообичаено да погубат некого, пред обвинетиот да се соочи со своите обвинители, и да добие можност да се брани од обвинението.
17. И така, кога тие дојдоа тука заедно, јас на другиот ден, без никакво одлагање, седнав во судот и заповедав да го доведат човекот.
18. Обвинителите, кои стоеја околу него, подигнаа против него обвиненија, но не такви какви што очекував,
19. туку имаа против него некои препирки за нивната религија и за некојси Исус, Кој умрел, а за кого Павле тврдеше дека е жив.
20. А јас, не знаејќи што да правам во врска со тоа, го прашав дали сака да оди во Ерусалим, за да му се суди таму за тоа.
21. Но, бидејќи Павле се повика на Августовата одлука, да биде задржан до неговото решение, заповедав да го држат додека не го испратам кај цезарот.'
22. Тогаш Агрипа му рече на Вест: 'И јас би сакал да го ислушам тој човек.' А тој рече: 'Ќе го чуеш утре.'
23. И така, утредента, кога Агрипа и Бернис дојдоа величествено и влегоа во судницата, заедно со заповедниците и со најугледните луѓе во градот; по заповед на Вест го доведоа Павле,
24. и тогаш Вест рече: 'Цару Агрипа и сите вие господа што сте тука! Погледнете го овој, заради кој мнозина Евреи нагрвалија врз мене во Ерусалим и тука, викајќи дека тој не треба

повеќе да живее.
25. Но, јас најдов дека не направил ништо што заслужува смрт, и бидејќи тој самиот се повика на Август, решив да го испратам кај него.
26. За човеков, пак, немам ништо видливо да му напишам на господарот и затоа го изведов пред вас, а најмногу пред тебе, цару Агрипа, за да имам што да напишам по испитувањето,
27. зашто ми се чини неразумно да биде испратен окован човек, а да не бидат соопштени обвиненијата против него.'

Глава 26

1. Тогаш Агрипа му рече на Павле: 'Ти се дозволува да зборуваш за себе.' А Павле ја испружи раката и почна да зборува во своја одбрана:
2. 'Цару Агрипа, се чувствувам среќен што можам да се бранам денес пред тебе, од сè што ме обвинуваат Евреите,
3. дотолку повеќе, што ти добро ги познаваш јудејските обичаи и нивните препирки. Затоа те молам да ме ислушаш со трпение.
4. Каков беше мојот живот од младини, што го поминав првин меѓу својот народ во Ерусалим, тоа го знаат сите Евреи,
5. зашто ме познаваат од почетокот, ако сакаат да посведочат, дека живеев како фарисеј, според најдоследната секта на нашата религија.
6. Сега стојам пред судот заради надежта во ветувањето што Бог им го даде на нашите татковци,
7. а за кое нашите дванаесет племиња се надеваат дека ќе го постигнат, служејќи постојано ноќе и дење. Заради таа надеж, цару, Евреите ме обвинуваат.
8. Зошто вие сметате дека е неверојатно, ако Бог воскреснува мртви?
9. И јас мислев дека треба да вршам многу нешта против името на Исус од Назарет;
10. што и го чинев во Ерусалим; не само што ги затворав со овластување од првосвештениците, туку и се согласував кога ги убиваа.
11. И многупати ги мачев во сите синагоги и ги принудував да хулат; и прекумерно разјарен против нив, ги гонев и по далечните градови.'
12. 'Кога за тоа патував во Дамаск, со власт и задача од првосвештениците,
13. на сред бел ден, цару, на патот видов светлина од небото, посилна од сончевиот болскот, која нè осветли мене и оние што патуваа со мене;
14. и кога сите паднавме наземи, чув глас кој ми зборуваше на еврејски јазик: 'Савле, Савле, зошто Ме прогонуваш? Тешко ти е да клоцаш против остен!'
15. А јас реков: 'Кој си Ти Господине?' Господ рече: 'Јас сум Исус, Кого Ти го прогонуваш.
16. Но стани и застани на своите нозе, зашто затоа ти се јавив, за да те назначам за служител и за сведок, како за ова што го виде, така и за она во кое ќе ти се објавам;
17. избавувајќи те од луѓето и од народите, кај кои те праќам,
18. за да им ги отвориш очите, да се одвратат од темнината кон светлината, од сатанската власт кон Бог, за да примат проштавање на гревовите и наследство меѓу осветените преку вера во Мене.'
19. Затоа, цару Агрипа, не му се спротивив на небесното видение;
20. туку им објавив прво во Дамаск, потоа во Ерусалим и по целата Јудеја, а и на неевреите, дека треба да се покајат и да се обрнат кон Бог, вршејќи дела достојни за покајание.
21. Затоа Евреите ме фатија во Храмот и се обидоа да ме убијат.
22. Но со помошта што ја добив од Бог тука сум до денешен ден и им сведочам и на мало и на големо, не зборувајќи ништо друго освен она што пророците и Мојсеј рекоа дека ќе се збидне:
23. дека Христос ќе настрада и дека, како прв воскреснат од мртвите, ќе им навести светлина и на евреите и на неевреите.'
24. А кога го изнесе тоа во своја одбрана, Вест му рече со силен глас: 'Бладаш, Павле! Многубројните книги те довеле до лудило!'
25. А Павле рече: 'Не сум луд, честит Весте, туку зборувам вистински и разумни зборови,
26. зашто и царот, кому му зборувам слободно, знае за тоа. Имено, не верувам дека му е непознато нешто од ова, зашто ова не се збидна во некој агол.
27. Им веруваш ли, царе Агрипа, на пророците? Знам дека им веруваш!'
28. А Агрипа му рече на Павле: 'Уште малку, па ќе ме убедиш да станам христијанин!'
29. А Павле рече: 'Би Го молел Бог, порано или подоцна, не само ти, туку и сите, кои ме слушаат денес, да станете такви каков што сум и јас, само без овие окови.'

30. Тогаш станаа царот и управителот, Бернис, како и сите што седеа со нив,
31. се повлекоа и зборуваа меѓу себе, велејќи: 'Овој човек не прави ништо што заслужува смрт или окови.'
32. А Агрипа му рече на Вест: 'Овој човек можеше да биде ослободен, ако не се беше повикал на цезарот.'

Глава 27

1. А кога беше решено да отпловиме за Италија, му ги предадоа Павле и некои други затвореници на еден стотник од Августовата чета, по име Јулиј.
2. Влеговме во еден адрамитски кораб, кој требаше да плови по азиски приморски места и испловивме; со нас беше Аристарх, Македонец од Солун.
3. Следниот ден пристигнавме во Сидон, а Јулиј, кој постапуваше љубезно со Павле, му дозволи да отиде кај своите пријатели, за да се погрижат за него.
4. А кога тргнавме оттаму, пловевме близу до Кипар, зашто ветровите беа спротивни.
5. Откако го препловивме морето покрај брегот на Киликија и Памфилија, стигнавме во Ликиска Мира.
6. Таму стотникот најде еден александриски кораб што пловеше за Италија, и нѐ префрли во него.
7. Повеќе денови пловевме бавно и одвај стигнавме спроти Книд; бидејќи ветрот ни пречеше да допловиме таму, пловевме покрај Крит, спроти Салмона.
8. Пловејќи со мака покрај брегот, стигнавме до едно место, наречено 'Добри Пристаништа', близу кое беше градот Ласеја.
9. Но кога помина многу време, а пловењето веќе беше опасно, зашто и постот веќе беше минал, Павле ги советуваше
10. велејќи им: 'Мажи, гледам дека пловењето ќе биде опасно и за здравјето и за животот и со голема загуба не само за товарот и коработ, туку и за нашите животи.'
11. Но стотникот повеќе им веруваше на кормиларот и на сопственикот на коработ, отколку на Павловите зборови.
12. Бидејќи пристаништето не беше згодно за зимување, мнозинството реши да се отплови оттаму, за да се стигне, ако е некако можно, до критското пристаниште Веникс, кое гледа кон југ и северозапад, и таму да се презими.
13. А кога дувна благ јужен ветар, помислија дека можат да ја остварат својата намера, ја дигнаа котвата и запловија крај Крит.
14. Но набргу потоа, од Крит задува бурен ветар, наречен евракило;
15. и кога го зафати коработ, кој не можеше да му се противставува на ветрот, им се предадовме на брановите кои нѐ носеа.
16. Кога поминувавме заштитени од едно островче, кое се вика Клавда, одвај можевме да го задржиме чунот,
17. а кога го подигнаа на коработ, употребија јажиња и го приврзаа за коработ. Но, плашејќи се да не заринкаат во Сирт, ја спуштија котвата и така беа носени натаму.
18. Следниот ден додека бевме силно фрлани од бурата, почнаа да го исфрлаат товарот;
19. а на третиот ден со свои раце ја исфрлија опремата од коработ.
20. Бидејќи повеќе денови не се покажаа ни сонцето ниту ѕвездите, а силната бура не попушташе, најпосле исчезна секоја надеж дека ќе се спасиме.
21. А по долго нејадење, Павле застана сред нив и рече: 'Мажи, требаше да ме послушате и да не тргнуваме од Крит, и ќе бевме поштедени од оваа мака и штета.
22. А сега ве советувам да бидете бодри, зашто ниеден живот од вас нема да биде изгубен, освен коработ.
23. Зашто ангел од Бог, Кому Му припаѓам и Кому Му служам, застана до мене ноќеска,
24. и рече: 'Не плаши се, Павле! Ти треба да излезеш пред цезарот, и еве, Бог ти ги подари сите, кои пловат со тебе.'
25. Затоа, мажи, бидете бодри! Зашто Му верувам на Бог, дека ќе биде така како што ми е кажано.
26. Но, треба да бидеме исфрлени на некој остров.'
27. А кога настапи четиринаесеттата ноќ, откако бевме терани таму-ваму по Јадранското Море, околу полноќ, морнарите ни навестија дека се приближуваме до некое копно.

28. И мереа и најдоа дваесет фати длабочина. Малку потаму го фрлија пак и најдоа петнаесет фати.
29. Плашејќи се да не удрат во гребените, спуштија четири котви од задниот дел на коработ и чекаа да се раздени.
30. А кога морнарите сакаа да побегнат од коработ и го спуштија чунот во морето, под изговор дека сакаат да ги спуштат котвите од предниот дел на коработ,
31. Павле им рече на стотникот и на војниците: 'Ако овие не останат на коработ, вие не можете да се спасите!'
32. Тогаш војниците ги пресекоа јажињата на чунот и го оставија да падне.
33. А пред разденување, Павле ги молеше сите да јадат и рече: 'Денес е четиринаесеттиот ден како чекате и поминувате без јадење, не каснувајќи ништо.
34. Затоа ве молам да јадете, зашто тоа е за ваше избавување. Ниеден од вас нема да загуби ни влакно од главата.'
35. И кога го рече тоа зеде леб и Му заблагодари на Бог пред сите, го раскрши и почна да јаде.
36. И сите се охрабрија, па и самите јадеа.
37. А во коработ бевме вкупно двесте седумдесет и шест души.
38. Откако се наситија, го олеснија коработ, исфрлајќи го житото во морето.
39. А кога се раздени, не ја препознаа земјата, но забележаа еден залив со достапен брег и решија таму да го насочат коработ, ако е тоа можно.
40. Ги одврзаа котвите и ги спуштија во морето, ги разлабавија и јажињата на кормилата и го кренаа предното едро спроти ветрот, и пловеа кон брегот.
41. А кога удрија во еден гребен, од двете страни заплискуван од морето, заринкаа, така што предниот дел се вглави цврсто и остана неподвижен, а задниот дел се кршеше од силата на брановите.
42. Војниците, пак, наумија да ги убијат затворениците, за да не исплива некој и да побегне.
43. Но стотникот, сакајќи да го спаси Павле, ја спречи нивната намера, и заповеда најнапред да скокнат оние што знаат да пливаат, и да излезат на копното,
44. а другите, кој на штици, кој на каков-годе предмет од коработ. И стана така што сите излегоа на копното.

Глава 28

1. А кога се спасивме, дознавме дека островот се вика Малта.
2. Месните жители ни укажаа необична љубезност; запалија оган и нè примија сите, поради дождот што паѓаше и поради студот.
3. А кога Павле собра куп гранки и ги стави во огнот, излезе змија, гонета од жештината, и му се впи во раката.
4. Месните жители, кога видоа дека змијата му виси на раката, си велеа еден на друг: 'Овој човек, без сомнение, е убиец кој се спасил од морето, но правдата не го остава да живее.'
5. Но тој ја истресе змијата во огнот и не му стана ништо лошо.
6. А тие очекуваа тој да отече или одеднаж да падне мртов. Откако чекаа долго, видоа дека не му се случи никакво зло, го сменија своето мислење и рекоа дека е бог.
7. А околу тоа место се наоѓаше имотот на управителот на островот, по име Публиј, кој нè прими и љубезно се грижеше за нас три дена.
8. И се случи таткото на Публиј да лежи болен од треска и дизентерија. Павле влезе кај него, се помоли, ги положи рацете на него и го исцели.
9. По тој настан и други болни од островот доаѓаа и беа исцелувани.
10. Тие ни искажаа и многу почести, а при заминувањето нè снабдија со сè што ни беше нужно.
11. По три месеци отпловивме со еден александриски кораб, што беше презимил на островот и носеше знак 'Близнаци'.
12. И кога стигнавме во Сиракуза, останавме таму три дни,
13. а оттаму пловејќи заобиколивме и стигнавме во Регија. По еден ден дувна јужен ветар, а утредента пристигнавме во Потиоли,
14. каде што најдовме браќа, кои нè замолија да останеме кај нив седум дена. Потем тргнавме кон Рим.
15. Откако браќата, чуја за нас, ни излегоа во пресрет до Апиевиот форум и до Трите крчми. Кога Павле ги виде, Му заблагодари на Бога и се охрабри.
16. Штом влеговме во Рим, на Павле му беше дозволено да живее сам, со војник кој го чуваше.
17. А по три дни, Павле ги повика еврејските првенци и кога се собраа, им рече: 'Браќа мажи, иако не сторив ништо против својот народ, ниту против татковските обичаи, мене сепак во Ерусалим ме предадоа како затвореник во рацете на Римјаните,
18. кои кога ме испитаа, сакаа да ме пуштат, зашто во мене немаше никаква вина што би заслужувала смрт.
19. Но бидејќи Евреите се спротивија на тоа, бев принуден да се повикам на цезарот, но не дека имав нешто да го обвинам својот народ.
20. Ете, затоа ве замолив да дојдете, да ве видам и да ви позборувам, зашто заради надежта на Израел сум окован во овие вериги.'
21. А тие му рекоа: 'Ние не примивме никакви писма за тебе од Јудеја, ниту ни дојде некој од браќата да нè извести или да рече нешто лошо за тебе.
22. Но мислиме дека би било добро да чуеме од тебе што мислиш, зашто ни е познато дека насекаде зборуваат против оваа секта.'
23. И откако го определија денот, мнозина од нив дојдоа таму каде што тој престојуваше. И од утро до вечер тој им излагаше за Божјото царство со докази и ги уверуваше за Исус од Мојсеевиот Закон и од пророците.
24. Едни беа уверени во тоа што зборуваше, а другите не веруваа.
25. Бидејќи не беа сложни меѓу себе, почнаа да се разотидуваат. На заминување Павле им ги кажа уште зборовите: 'Добро им рече Светиот Дух на вашите татковци, преку пророкот Исаија,
26. велејќи: 'Оди кај овој народ и кажи му: ќе слушате и не ќе разбирате; ќе гледате и нема да видите;
27. зашто закорави срцето на овие луѓе и со ушите тешко слушаат, а своите очи ги затворија за да не гледаат со очите и да не слушаат со ушите, да не разбираат со срцето, за да не се

обратат и да не ги исцелам.'
28. Затоа, да знаете дека ова Божјо спасение им е испратено на неевреите, и тие ќе го чујат!'
29. Кога го рече тоа, Евреите си отидоа, препирајќи се многу меѓу себе.
30. А тој остана цели две години во својот стан под наем, ги примаше сите кои му доаѓаа;
31. навестувајќи го Божјото царство и поучувајќи за Господ Исус Христос наполно слободно и непречено.

Јаков

Глава 1

1. Павле, слуга на Исус Христос, повикан за апостол, издвоен за Евангелието од Бог,
2. кое Тој однапред го вети преку Своите пророци во Светите писма,
3. а кое зборува за Неговиот Син, по тело роден од Давидовото семе,
4. кој според Духот на светоста беше моќно посведочен за Божји Син, преку воскресението од мртвите, Исус Христос, нашиот Господ;
5. преку Кого добивме благодат и апостолство, за да ги приведеме сите народи кон послушност на верата, заради Неговото Име,
6. меѓу кои сте и вие повиканите од Исус Христос.
7. До сите мили на Бога, повиканите светии, кои се во Рим: благодат вам и мир од Бог, нашиот Татко и од Господ Исус Христос.
8. Пред сè, Му благодарам на мојот Бог, преку Исус Христос, за сите вас, бидејќи за вашата вера се зборува по целиот свет.
9. Зашто Бог, Кому Му служам во својот дух во објавувањето на Евангелието за Неговиот Син, ми е сведок оти везден си спомнувам за вас,
10. секогаш барајќи во моите молитви да успеам барем еднаш, ако сака Бог, да дојдам кај вас.
11. Зашто копнеам да ве видам, за да ви пренесам духовен дар за ваше зацврстување,
12. всушност, меѓу вас, заедно со вас да најдам утеха преку заедничката вера, вашата и мојата.
13. Не сакам, браќа, да ви остане непознато дека многупати имав намера да дојдам кај вас, а досега бев спречуван, за да имам некој плод и меѓу вас, како и меѓу останатите народи.
14. Должен сум им на Грците и варварите, и на мудрите и неразумните.
15. И така, доколку е до мене, готов сум да ви го проповедам Евангелието и вам што сте во Рим.
16. Зашто, јас не се срамам од Евангелието, бидејќи тоа е Божја сила за спасение на секој кој верува, првин за Евреинот, а и за Гркот.
17. Бидејќи во него се открива Божјата праведност, од вера во вера, како што е напишано: 'Праведникот ќе живее по вера.'
18. Впрочем, Божјиот гнев се открива од небото против секоја безбожност и неправедност на луѓето, кои со неправедност ја потиснуваат вистината;
19. зашто она што може да се знае за Бог ним им е откриено; бидејќи Бог им го откри тоа.
20. Неговите невидливи особини, Неговата вечна сила и божествената природа, јасно се гледаат уште од создавањето на светот, и можат да се разберат преку создаденото, па немаат оправдание.
21. Зашто, иако Го познаа Бога, не Му оддадоа почит како на Бог, ниту Му благодарија; туку станаа суетни во своите мудрувања и нивното неразумно срце се помрачи.
22. Нарекувајќи се мудри, станаа безумни,
23. и ја заменија славата на бесмртниот Бог со облик на смртен човек, на птици, на четироножни животни и на лазачи.
24. Затоа Бог, со похотта на нивните срца, ги предаде на нечистотија, за самите да си ги обесчестуваат своите тела,
25. бидејќи Божјата вистина ја заменија со лага, и му се поклонуваа и служеа на создаденото наместо на Создателот, Кој е благословен во вечни векови, Амин!
26. Затоа Бог ги предаде на ниски страсти: нивните жени го заменија природниот однос со неприроден.
27. Мажите, исто така, го напуштија природниот однос со жена и се распалија со желба еден спрема друг, правејќи срамни дела мажи со мажи и добивајќи ја заслужената казна во себе за својата изопаченост.
28. И бидејќи сметаа дека не им годи да Го сознаваат Бога, Бог ги предаде на нивниот изопачен ум, за да го прават она што не прилега,

29. исполнети со секаков вид неправедност, пакост, алчност, злобност; полни со завист, убиства, расправии, лукавства, подмолност; озборувачи,
30. клеветници, богомрасци, дрски, надмени, фаленичари, измислувачи на зла, непокорни на родителите,
31. без разбирање, вероломци, без љубов и немилосрдни.
32. Иако ги знаат Божјите одредби: дека оние кои прават така заслужуваат смрт, сепак, не само што прават така, туку сесрдно ги одобруваат и другите, кои го прават истото.

Глава 2

1. Затоа немаш оправдание човеку, ти кој судиш, кој и да си, зашто судејќи го другиот, самиот се осудуваш, бидејќи ти кој судиш, го вршиш истото.
2. А знаеме дека Божјиот суд праведно се излева врз оние кои прават такви работи.
3. Мислиш ли, о човеку, ти кој им судиш на оние кои прават такви работи, а истото го правиш и самиот, дека ќе го избегнеш Божјиот суд?
4. Ги презираш ли богатството на Неговата добрина, воздржливоста и долгата трпеливост, не знаејќи дека Божјата добрина те води кон покајание?
5. Но поради твојата закоравеност и непокајаното срце, самиот собираш гнев врз себе за денот на гневот кога ќе се открие Божјиот праведен суд,
6. којшто ќе му даде секому според неговите дела:
7. на оние кои со истрајност прават добро и бараат слава, чест и нераспадливост - вечен живот,
8. а на оние кои мислат само на себе и не и се покоруваат на вистината, туку и се покоруваат на неправедноста - гнев и јарост.
9. Невола и мака ќе ја снајде секоја човечка душа која прави зло; најпрвин на Евреин, а потоа и на Грк,
10. а слава, чест и мир на секој оној кој прави добро; најпрвин на Евреин, а потоа и на Грк!
11. Бидејќи Бог не гледа кој е кој.
12. Зашто сите кои згрешиле без Закон, без Закон и ќе загинат, а сите кои згрешиле под Закон, според Законот ќе бидат осудени.
13. Бидејќи пред Бог не се праведни оние кои само го слушаат Законот, туку ќе бидат оправдани оние кои се извршители на Законот.
14. Зашто кога неевреите, кои немаат Закон, го исполнуваат по природа она што го бара Законот; тогаш оние кои немаат Закон, сами за себе се закон.
15. Со тоа покажуваат дека делото на Законот е напишано во нивните срца, за што сведочи нивната совест, а во нив мислите ги осудуваат или оправдуваат,
16. за денот, кога според моето Евангелие, Бог преку Исус Христос, ќе ги суди човековите тајни.
17. Ако ти, кој се нарекуваш Евреин кој се потпираш на законот и се фалиш со Бог,
18. кој ја знаеш Неговата волја и, поучен од законот, знаеш да го избереш подоброто
19. и си уверен дека си самиот водач на слепи, светлина за оние кои се во темнина,
20. воспитувач на неразумните, учител на незрелите, затоа што имаш во законот отелотворување на знаењето и вистината;
21. ти, кој поучуваш друг, зарем не се поучуваш самиот себе? Ти, кој проповедаш да не се краде, зарем не крадеш?
22. Ти, кој зборуваш да не се прави прељуба, зарем не вршиш прељуба? Ти, кој се гнасиш од идолите, зарем не ограбуваш храмови?
23. Ти, кој се фалиш со Законот, зарем не Го срамотиш Бога со престапување на Законот?
24. 'Затоа заради вас се хули Божјото име меѓу другите народи' - токму како што е напишано.
25. Навистина, обрежувањето има своја вредност ако го исполнуваш Законот, но ако си престапник на Законот, твоето обрежување станува необрежување.
26. И така, ако необрежаниот ги исполнува барањата на Законот, нема ли неговото необрежување да му се смета за обрежување?
27. И така, нема ли оној кој не е телесно обрежан, а го исполнува Законот да ти суди тебе, кој си престапник на Законот и покрај тоа што го имаш словото на Законот и обрежувањето?
28. Зашто не е Евреин оној кој е тоа надворешно, ниту е вистинско обрежување она што е надворешно, на телото.
29. Евреин е оној кој е тоа однатре, а вистинското обрежување е во срцето, во Духот, а не во буквата. Пофалба не му доаѓа од луѓето, туку од Бог.

Глава 3

1. И така, каква предност има Евреинот? Или, каква е ползата од обрежувањето?
2. Голема, во секој поглед. Пред сè, ним им се доверени Божјите зборови!
3. Па што! Ако некои не поверуваа, зар нивното неверување ќе ја уништи Божјата верност?
4. Никако! Но, Бог нека биде вистинит, а секој човек лажливец, како што е напишано: 'Да бидеш оправдан во зборовите свои и да победиш кога ќе бидеш суден.'
5. Ако нашата неправедност ја истакнува Божјата праведност, што да речеме? Дали е Бог неправеден кога изразува гнев? (човечки зборувам).
6. Никако! Инаку, како би можел Бог тогаш да му суди на светот?
7. Зашто, ако преку мојата лага се покаже уште повозвишена Божјата вистина за Неговата слава, зошто ми се суди уште како на грешник?
8. 'Зошто да не правиме зло, за да произлезе добро?' (како што нè клеветат некои и велат за нас дека ние зборуваме така?) Нивната осуда е праведна.
9. Што тогаш? Дали сме подобри од нив? Секако не, зашто веќе ги обвинивме и Евреите и Грците, дека сите се под грев,
10. како што е напишано: 'Нема никој праведен, нема ниту еден;
11. Нема разумен, нема ниту еден кој Го бара Бога;
12. Сите скршнаа, сите заедно станаа бескорисни, никој не прави добро, нема ниту еден.'
13. Нивното грло е отворен гроб, мамат со јазиците; змиски отров има под нивните усни.
14. Устата им е полна со клевета и горчина.
15. Нозете им се брзи за пролевање крв;
16. Пустошење и беда има по нивните патишта;
17. Тие не го познаваат патот на мирот.
18. Нема пред нивните очи стравопочит кон Бога.'
19. А знаеме дека сè што вели Законот, им го зборува на оние кои се под Законот, за да занеми секоја уста и за сиот свет да биде под осуда,
20. бидејќи со делата на Законот ниту еден нема да се оправда пред Него, зашто преку Законот доаѓа познавањето на гревот.
21. А сега, независно од Законот, се јави Божјата праведност, за која сведочат Законот и пророците,
22. и тоа Божјата праведност, преку вера во Исус Христос, за сите кои веруваат, зашто нема разлика.
23. Зашто сите згрешија и лишени се од Божјата слава,
24. а се оправдани дарум од Неговата благодат, преку откупот кој е во Христос Исус,
25. Кого Бог јавно Го изложи како жртва на измирување во Неговата крв преку вера, за да се покаже Неговата праведност, бидејќи заради Божјото трпение Тој преминува преку поранешните гревови,
26. за да ја покаже Својата праведност во сегашноста, за Самиот да биде праведен и за да го оправда оној кој верува во Исус.
27. И така, каде е тогаш пофалбата? Исклучена е. Според кој закон? Дали според законот на делата ? Не, туку според законот на верата.
28. Затоа, ние сметаме дека човекот е оправдан преку верата, без делата на Законот.
29. Дали Бог е Бог само на Евреите? Не е ли и на неевреите? Да, и на неевреите,
30. зашто истиот Бог е Тој кој ќе ги оправда обрежаните по вера и необрежаните преку вера.
31. Според тоа, го укинуваме ли Законот преку верата? Никако! Напротив, со тоа го утврдуваме Законот.

Глава 4

1. И така, што даречеме, што добил по тело нашиот пратaтко Авраам?
2. Зашто, ако е Авраам оправдан по дела, има за што да се фали, но не пред Бога!
3. Но, што вели Писмото: 'Авраам Му поверува на Бог и тоа му се припиша за праведност.'
4. А на оној што работи, заработката не му се смета како милост, туку како долг;
5. додека на оној кој не работи, а верува во Оној Кој го оправдува безбожникот, неговата вера му се смета како праведност,
6. исто како што и Давид го нарекува благословен човекот кому Бог без дела му припишува праведност:
7. 'Блажени се оние чии беззаконија се простени и чии гревови се покриени!
8. Блажен е човекот, кого Господ за грев не го обвинува!'
9. Дали благословот се однесува само на обрежаните, или и на необрежаните? Зашто ние велиме: 'На Авраам верата му се припиша за праведност.'
10. А кога му се припиша? Кога беше обрежан или кога беше необрежан? Не кога беше обрежан, туку кога беше необрежан.
11. И го прими знакот на обрежувањето како печат на праведноста што ја доби преку верата што ја имаше како необрежан, за да им биде татко на сите кои веруваат, а не се обрежани; та и ним тоа да им се припише како праведност,
12. и да им биде татко на обрежаните, но не на оние кои само се обрежани, туку кои одат и по стапките на верата на нашиот татко Авраам, што ја имаше додека уште беше необрежан.
13. Впрочем, ветувањето на Авраам или на неговото потомство дека ќе биде наследник на светот, не дојде преку Законот, туку преку праведноста на верата.
14. Имено, ако се наследници само оние од Законот, тогаш нема потреба од вера, а ветувањето е поништено,
15. зашто законот донесува гнев; а каде што нема закон, нема ни престап!
16. Затоа оправданието е од вера, за да биде по благодат, за ветувањето да му биде сигурно на сето потомство, не само на оние од Законот, туку и на оние од верата на Авраам, кој е татко на сите нас
17. (како што е напишано: 'Те направив татко на многу народи') пред Бог, Кому Му поверува, Кој ги оживува мртвите и она што не постои го повикува во постоење.
18. Иако не постоеше надеж, тој се надеваше и поверува дека ќе стане татко на многу народи, според она што е речено: 'Такво ќе биде твоето потомство.'
19. И не ослабувајќи во верата кога го имаше предвид своето веќе безживотно тело, зашто беше на околу сто години, и безживотноста на Сарината утроба,
20. а почитувајќи го Божјото ветување, не скршна во невера, туку закрепна во верата и Му оддаде слава на Бог,
21. наполно уверен дека она што Тој го ветил, може да го исполни.
22. Затоа тоа му се припиша за праведност.
23. Но не е напишано само заради него 'дека му се припиша'
24. туку и заради нас, на кои ќе ни се припише, затоа што веруваме во Оној Кој Го воскресна од мртвите Исуса, нашиот Господ,
25. Кој беше предаден за нашите престапи и беше воскреснат за наше оправдување.

Глава 5

1. И така, бидејќи сме оправдани преку вера, имаме мир со Бог, преку нашиот Господ Исус Христос,
2. преку Кого - по вера - имаме пристап во оваа благодат во која стоиме, и се фалиме со надежта на Божјата слава.
3. Но не само тоа, туку се фалиме и со неволите, знаејќи дека неволата раѓа трпение;
4. трпението - проверен карактер, а проверениот карактер - надеж;
5. а надежта пак не разочарува, зашто Божјата љубов веќе е излеана во нашите срца преку Светиот Дух, Кој ни беше даден.
6. Зашто, додека уште бевме беспомошни, во определено време, Христос умре, за безбожниците.
7. За праведник одвај некој ќе умре, а за добар човек можеби некој и ќе се осмели да умре.
8. Но Бог ја покажува Својата љубов спрема нас, со тоа што Христос умре за нас додека уште бевме грешници.
9. А сега, откако сме оправдани во Неговата крв, преку Него многу повеќе ќе бидеме спасени од Божјиот гнев.
10. Зашто ако бевме помирени со Бог преку смртта на Неговиот Син, додека бевме уште непријатели, колку повеќе, сега помирени, ќе бидеме спасени преку Неговиот живот.
11. И не само тоа, туку и се фалиме во Бога преку нашиот Господ Исус Христос, преку Кого сега добивме помирување.
12. И, како што гревот влезе во светот преку еден човек, а преку гревот - смртта, така смртта премина на сите луѓе, бидејќи сите згрешија.
13. Зашто, гревот беше во светот уште пред Законот; но грев не се припишува кога нема Закон.
14. Смртта, пак, царуваше од Адам до Мојсеј, дури и над оние кои не згрешија со сличен престап како Адам, кој е претслика на Оној што требаше да дојде.
15. Но бесплатниот дар не е како престапот; зашто ако преку престапот на еден изумреа мнозина, многу поизобилно се излеа на мнозина Божјата благодат и дарот преку благодатта на еден човек, Исус Христос.
16. А дарот не е како она што се случи кога згреши еден; зашто пресудата произлезе од еден престап кој доведе до осуда, а бесплатниот дар произлезе од многу престапи и води до оправдување.
17. Зашто, ако смртта зацари заради престапот на еден, тогаш многу повеќе оние кои го примаат изобилството на благодатта и дарот на праведноста ќе царуваат во животот преку Единствениот, Исус Христос.
18. И така, како што преку еден престап дојде осудување на сите луѓе, така и преку едно дело на праведност за сите луѓе дојде оправдувањето кое донесува живот.
19. Зашто, како што со непослушноста на еден човек мнозина станаа грешници, така и со послушноста на Еден, мнозина ќе станат праведни.
20. А Законот дојде за да се зголеми престапот, но каде што гревот се зголеми, таму благодатта стана уште поизобилна,
21. та како што гревот царуваше во смртта, така и благодатта да царува преку праведност за вечен живот, преку нашиот Господ Исус Христос!

Глава 6

1. И така, што да kречеме? Да продолжиме ли и натаму во гревот, за да може да се умножи благодатта?
2. Никако! Ние, кои умревме за гревот, како ќе живееме уште во него?
3. Или зар не знаете дека сите ние кои сме крстени во Христос Исус, крстени сме во Неговата смрт?
4. И така, преку крштавањето во смртта, погребани сме заедно со Него, та како што Христос воскресна од мртвите преку славата на Таткото, така и ние да одиме во нов живот.
5. Зашто ако се сплотивме со Него во смртта слична на Неговата, секако ќе бидеме - и во Неговото воскресение.
6. Знаеме дека нашиот стар човек беше распнат со Него, за да биде онемоштено грешното тело, та да не му робуваме веќе на гревот,
7. зашто оној што е умрен, ослободен е од гревот.
8. А ако умревме со Христос, веруваме дека и ќе живееме со Него,
9. зашто знаеме дека Христос Кој воскресна од мртвите, никогаш нема повторно да умре; смртта нема веќе власт над Него.
10. Зашто, смртта со која умре - умре за гревот, еднаш засекогаш, а животот што го живее - го живее за Бог.
11. Така и вие, сметајте се себеси мртви за гревот, но живи за Бог во Христос Исус!
12. Затоа не дозволувајте гревот да царува во вашето смртно тело, за да не им се покорувате на неговите похоти!
13. И не давајте му ги органите на вашето тело на гревот како оружје на неправедноста, туку предавајте Му се себеси на Бог, како оживеани од мртвите, а вашите органи на Бог како оружје на праведноста!
14. А гревот не ќе има веќе власт над вас, зашто не сте под законот, туку под благодатта.
15. И што сега? Да грешиме ли, затоа што не сме под законот, туку под благодатта? Никако!
16. Не знаете ли дека ако некому му се предадете како робови за послушност, робови сте му на оној кому му се покорувате; или на гревот - за смрт, или на послушноста - за праведност?
17. Но Му благодарам на Бог, зашто вие, иако му бевте робови на гревот, му станавте послушни од сѐ срце на учењето на кое му се предадовте,
18. и откако бевте ослободени од гревот, и станавте рабови на праведноста.
19. Зборувам со човечки изрази заради немоќта на вашето тело. И како што некогаш ги предадовте вашите органи да им робуваат на нечистотата и на беззаконието, за беззаконие, така сега предадете ги вашите органи да и робуваат на праведноста, за осветување!
20. Зашто, кога бевте робови на гревот, бевте слободни од праведноста.
21. И каква полза имавте тогаш од оние работи заради кои се срамите денес, зашто нивниот исход е смртта!
22. Но сега, откако сте ослободени од гревот и станавте робови на Бог - го имате вашиот плод - осветувањето, и крајниот исход вечен живот.
23. Зашто заслуженото за гревот е смрт, но бесплатниот дар од Бога е вечен живот во Христос Исус, нашиот Господ.

Глава 7

1. Или не знаете ли, браќа (им зборувам на оние, кои го познаваат законот), дека законот има власт над човекот додека е жив?
2. Зашто, омажената жена, преку закон е врзана за мажот, додека е тој жив, но ако мажот умре, слободна е од законот што се однесува до мажот.
3. Според тоа, ако му стане жена на друг додека нејзиниот маж е жив, ќе биде прељубница; но ако мажот и умре, слободна е од законот и не е прељубница дури и да се омажи за друг.
4. Така и вие, браќа мои, умртвени сте за Законот преку Христовото тело, за да Му припаднете на Друг, на Оној Кој воскресна од мртвите, за да Му донесеме плод на Бог.
5. Зашто, додека бевме во телото, во нашите органи дејствуваа грешни страсти кои Законот ги побудуваше, па така донесувавме плодови на смртта.
6. А сега, се ослободивме од Законот, откако умревме за она што нè потчинуваше, за да служиме во новоста на Духот, а не во староста на буквата.
7. И така, што да речеме? Дали е Законот грев? Никако! Напротив, немаше да дојдам до запознавање на гревот освен преку Законот, зашто не ќе знаев да посакам туѓо, ако Законот не речеше: 'Не посакувај туѓо!'
8. А гревот, откако најде можност во заповедта, предизвика во мене похота од секаков вид, зашто без Законот - гревот е мртов.
9. И јас живеев некогаш без Законот; но кога дојде заповедта, гревот оживе, а јас умрев,
10. и се покажа дека заповедта, што беше дадена за живот, ме водела во смрт.
11. Имено, гревот, откако доби можност во заповедта, ме измами и ме уби преку неа.
12. Затоа Законот е свет и заповедта е света, праведна и добра.
13. Дали тоа значи дека доброто стана смрт за мене? Никако! Туку гревот, за да се покаже како грев, се послужи со доброто и ја предизвика мојата смрт, па така гревот стана, со посредство на заповедта, прекумерно грешен.
14. Зашто знаеме дека Законот е духовен, а јас сум телесен, продаден на гревот.
15. Она што го правам, не го разбирам, бидејќи не го правам она што го сакам, туку го правам токму она што го мразам.
16. Ако пак го правам она што не го сакам, се согласувам со Законот дека тој е добар.
17. Значи, не сум јас оној што го прави тоа, туку гревот, кој живее во мене.
18. Имено, знам дека никакво добро не живее во мене, односно во моето тело, зашто желба за добро има во мене, но не и сила за да го правам тоа.
19. Доброто што го сакам не го правам, туку го правам злото, што не го сакам.
20. А ако го правам она што не го сакам, не го правам веќе јас, туку гревот кој живее во мене.
21. И така, откривам еден закон кој е во мене, кој кога сакам да правам добро - злото е присутно.
22. Вистина, се сложувам со мојот внатрешен човек дека наоѓам наслада во Божјиот Закон,
23. но, гледам друг закон во моите органи, кој војува против законот на мојот ум и ме заробува под законот на гревот што е во моите органи.
24. Беден човек сум јас! Кој ќе ме спаси од ова смртно тело!
25. Му благодарам на Бог, преку Исус Христос, нашиот Господ! И така, јас самиот со умот му служам на Божјиот закон, а со телото на законот на гревот.

Глава 8

1. Затоа, сега нема осуда за оние кои се во Христос Исус.
2. Зашто законот на Духот на животот во Христос Исус ве ослободи од законот на гревот и на смртта,
3. зашто она што не можеше да го стори законот, бидејќи беше слаб заради телото, го изврши Бог! Испраќајќи Го Својот Син во облик сличен на грешното тело и поради грев, го осуди гревот во телото,
4. за да се исполни барањето на Законот во нас кои не одиме по телото, туку по Духот.
5. Така, оние што се телесни, се стремат кон телесното, додека оние што се духовни, кон она што е на Духот,
6. бидејќи мудрувањето на телото е смрт, а мудрувањето на Духот е живот и мир;
7. зашто мудрувањето на телото е непријателство против Бог, бидејќи не му се покорува на Божјиот закон, ниту пак може,
8. а оние кои се по тело, не можат да Му угодат на Бог.
9. Но вие не сте телесни, туку духовни, ако Божјиот Дух навистина живее во вас. Но, ако некој Го нема Христовиот Дух, не е Негов.
10. А ако е Христос во вас, тогаш телото е мртво заради гревот, а духот е жив заради праведноста.
11. Ако во вас живее Духот на Оној Кој Го воскресна Исуса од мртвите; тогаш Оној Кој Го воскресна Христос Исус, ќе ги оживее и вашите смртни тела преку Својот Дух Кој живее во вас.
12. Според тоа, браќа, не сме му должници на телото, за да живееме по телото,
13. зашто, ако живеете по телото, ќе умрете; но ако преку Духот ги умртвувате делата на телото, ќе живеете.
14. А сите оние кои ги води Божјиот Дух, се Божји синови.
15. Впрочем, не примивте дух на ропство за да бидете пак во страв, туку го примивте Духот на посинувањето, преку кој викаме: 'Аба! Татко!'
16. Самиот Дух сведочи заедно со нашиот дух дека сме Божји чеда.
17. А ако сме чеда, тогаш сме и наследници, Божји наследници, и Христови сонаследници - ако страдаме со Него, со Него и да бидеме прославени.
18. Сметам дека страдањата на сегашното време не се ништо во споредба со славата која ќе ни се открие нам.
19. Зашто созданието со нестрплив копнеж го очекува откривањето на Божјите синови.
20. Имено, созданието и беше потчинето на суетата, не доброволно, туку поради Оној кој го потчини, во надеж
21. дека и самото создание ќе биде ослободено од ропството на распаѓањето, во слободата на славата на Божјите деца.
22. А, знаеме дека целото создание сè досега стенка и страда во породилни маки.
23. И не само тоа, туку и ние самите, имајќи ги првите плодови на Духот, ние самите стенкаме во себе, чекајќи го желно посинувањето, избавувањето на нашето тело.
24. Зашто ние, во надеж сме спасени, а надежта која се гледа не е надеж; зошто човек да се надева на она што го гледа?
25. Но ако се надеваме на она што не го гледаме, тогаш го чекаме со нетрпение.
26. Исто така и Духот им помага на нашите слабости, зашто ние не знаеме да се молиме, како што треба; самиот Дух посредува за нас со неискажливи воздишки.
27. А Оној Кој ги испитува срцата, знае што мисли Духот, бидејќи Тој посредува за светиите според Божјата волја.
28. И знаеме дека сè содејствува за доброто на оние кои Го љубат Бога, на оние кои се повикани по Неговата намера.
29. Зашто оние кои ги познаваше однапред, нив и ги предопредели да се преобразат според ликот на Неговиот Син, за Тој да биде првороден меѓу многуте браќа.

30. Оние кои ги предопредели, нив и ги повика, а оние кои ги повика, нив и ги оправда, а оние кои ги оправда, нив и ги прослави.
31. И така, што да речеме на ова? Ако е Бог со нас, кој ќе биде против нас?
32. Оној Кој не Го поштеди ни сопствениот Син, туку Го предаде за сите нас, како не ќе ни подари и сѐ друго заедно со Него?
33. Кој ќе ги обвини Божјите избраници? Бог е Тој што ги оправдува!
34. Кој е тој што ќе ги осуди? Дали Христос Исус, Кој умре, и згора на тоа воскресна, Кој е од десната страна на Бог и Кој се зазема за нас?
35. Кој ќе нѐ одвои од Христовата љубов? Невола ли, или мака, или прогонство, или глад, или голотија, или гибел или меч?
36. Токму како што е напишано: 'Заради Тебе везден нѐ убиваат, нѐ сметаат како овци за клање.'
37. Но во сето ова победуваме надмоќно преку Оној Кој нѐ засака.
38. Зашто уверен сум дека ни смртта, ни животот, ни ангелите, ни властите, ни сегашноста, ни иднината, ни силите,
39. ни височината, ни длабочината, ниту кое-годе друго создание, не ќе може да нѐ одвои од Божјата љубов, која е во Христос Исус, нашиот Господ.

Глава 9

1. Ја зборувам вистината во Христос, не лажам, мојата совест ми сведочи во Светиот Дух,
2. дека ми е многу жал и дека имам непрестајна болка во срцето.
3. Би сакал да бидам самиот како проколнат, одвоен од Христос, поради моите браќа, сродни по тело,
4. кои се Израелци, на кои им припаѓаат посинувањето, славата, заветите, на кои им беше даден Законот, службата и ветувањата;
5. чии се и татковците од кои потекнува и Христос по тело, Кој е Бог над сите, благословен во вечни векови! Амин.
6. Но не треба да се мисли дека изневерило Божјото слово, зашто не сите што водат потекло од Израел, се вистински Израелци,
7. ниту сите се Авраамови деца, со тоа што се негово потомство, туку 'Твоето потомство ќе се нарече по Исак'.
8. Тоа значи дека сите деца по тело не се Божји деца, туку децата на ветувањето се сметаат за потомство.
9. А словото на ветувањето е ова: 'Ќе дојдам во тоа време, а Сара ќе има син.'
10. Но не само тоа, туку и на Ребека, која зачна од еден, од нашиот татко Исак,
11. иако уште близнаците не беа ни родени, и не беа направиле ништо добро или зло, за да остане онака како што Бог беше определил по свој избор, да не зависи од делата, туку од Оној Кој повикува,
12. и беше речено: 'Постариот ќе му служи на помладиот';
13. токму како што е напишано: 'Јаков го засакав, а Исав го замразив.'
14. И така, што да речеме? Има ли неправда кај Бога? Никако!
15. Зашто Тој му вели на Мојсеј: 'Ќе му се смилувам на оној спрема кого имам милост и ќе го сожалам оној спрема кого имам сожаление.'
16. Според тоа, не зависи од оној што сака, ниту од оној што трча, туку од милостивиот Бог.
17. Зашто Писмото му вели на фараонот: 'Те издигнав за да ја покажам Мојата сила во тебе и за да се разгласи Моето име по целата земја.'
18. Значи, Тој има милост спрема кого сака, и го закоравува кого сака.
19. А сега, ти ќе Ми речеш: 'Тогаш, зошто сѐ уште бара грешки? Зашто, кој може да и се противи на Неговата волја?'
20. Та кој си ти, човече, да се расправаш со Бог? Зар ракотворбата ќе му рече на својот творец: 'Зошто вака си ме направил?'
21. Или зар грнчарот нема право над глината, од истата смеса да направи еден сад за почесна, а друг за секојдневна употреба?
22. А што ако Бог, иако сака да го покаже Својот гнев и да ја пројави Својата моќ, со големо трпение, ги трпи садовите на гневот, приготвени за погибел,
23. за да ги пројави истовремено богатствата на Својата слава над садовите на милоста, што однапред ги приготвил за слава,
24. па како такви, нѐ повика и нас, не само од Евреите, туку и од неевреите?
25. Како што вели преку Осија: 'Народ кој не е Мој народ, ќе го наречам Свој; и онаа која не е сакана, ќе ја наречам сакана.'
26. Така ќе се случи таму каде што им беше речено: ''Вие не сте Мој народ', таму ќе бидат наречени синови на живиот Бог.'
27. А Исаија извикува за Израел: 'Иако бројот на израеловите синови е колку морскиот песок, само Остатокот ќе биде спасен,
28. зашто Господ ќе го спроведе Својот збор на земјата, и брзо ќе го исполни.'
29. И како што проречe Исаија: 'Ако Господ над војските не ни оставеше потомство, ќе бевме како Содом и ќе заприлегавме на Гомора.'
30. И така, што да кажеме? Останатите народите кои не се стремеа кон праведност, добија

праведност, и тоа праведност која е по вера;
31. а Израел, иако се стремеше кон законот на праведноста, не стигна до законот.
32. Зошто? Затоа што не настојуваше да го постигне со вера, туку со дела. Тие се препнаа од каменот за сопнувањето,
33. токму како што е напишано: 'Еве, на Сион поставувам камен за сопнување и карпа на соблазна; и кој верува во Него, нема да се посрами.'

Глава 10

1. Браќа, желбата на моето срце и мојата молитва кон Бог за нив е да бидат спасени.
2. Зашто сведочам за нив дека имаат ревност за Бог, но не според сознанието.
3. Имено, не знаејќи ја Божјата праведност и сакајќи да ја воспостават својата сопствена, не и се покорија на Божјата праведност.
4. Зашто Христос е завршокот на законот за праведноста на секој што верува.
5. Зашто, Мојсеј пишува: 'човекот кој врши праведност втемелена врз закон, ќе живее од неа.'
6. А праведноста, која е од вера, зборува вака: 'Да не речеш во своето срце: 'Кој ќе се искачи на небото?' што значи, да Го симне Христос;
7. или: 'Кој ќе слезе во бездната?' што значи, да Го крене Христос од мртвите!'
8. Но што зборува таа: 'Словото е близу до тебе, во твојата уста и во твоето срце,' што значи, словото на верата која ние ја проповедаме.
9. Зашто, ако со твојата уста исповедаш дека Исус е Господ и ако во твоето срце поверуваш дека Бог Го воскреснал од мртвите, ќе бидеш спасен.
10. Зашто со срцето се верува за праведност, а со устата се исповедува за спасение,
11. бидејќи Писмото вели: 'Секој кој верува во Него, нема да се засрами.'
12. И нема разлика меѓу Евреин и Грк, зашто еден ист е Господ на сите, богат за сите кои Го повикуваат,
13. зашто: 'Секој, кој ќе го повика Господовото име, ќе биде спасен.'
14. Но, како ќе Го повикаат Оној во Кого не поверувале? А како ќе поверуваат во Оној за Кого не чуле? А како ќе чујат без проповедник?
15. И како ќе навестуваат, ако не се испратени, како што е напишано: 'Колку се прекрасни нозете на оние што носат радосни вести за добри нешта!'
16. Но сите не ја послушаа Радосната Вест, зашто Исаија вели: 'Господи, кој и поверува на нашата вест?'
17. И така, верата доаѓа од слушање, и тоа од слушање на Христовото слово,
18. па велам: Зар не чуле? Секако: 'Гласот им одекна по целата земја, а нивните зборови до крајот на светот.'
19. И си велам: Зар Израел не разбра? Мојсеј прв вели: 'Ќе предизвикам љубомора кај вас спрема оние што не се народ и ќе ве разгневам со народ кој е неразумен.'
20. А Исаија пак се осмелува да рече: 'Ме најдоа оние кои не Ме бараа, и им се јавив на оние кои не прашуваа за Мене.'
21. А за Израел зборува: 'Цел ден ги протегав Своите раце кон народ непокорен и инаетлив.'

Глава 11

1. И така, прашувам: 'Дали Бог го отфрли Својот народ? Никако! Зашто и јас сум Израелец, од потомството на Авраам, од племето на Бенјамин.
2. Бог не го отфрли Својот народ кого го знаеше однапред. Или не знаете што вели Писмото за Илија, кога Го моли Бога против Израел:
3. 'Господи, ги погубија Твоите пророци, ги разурнаа Твоите жртвеници, а јас останав сам, па и мојот живот го бараат.'
4. А каков беше Божјиот одговор: 'Си оставив за себе седум илјади луѓе кои не се поклонија пред Баал.'
5. Така и сега, суштествува еден остаток, избран по благодатта.
6. Но, ако е по благодат, тогаш не е по дела, инаку благодатта не би била веќе благодат.
7. Значи што? Израел не го доби она што го бараше, туку избраните го добија, а останатите беа закоравени,
8. како што е напишано: 'Бог им даде дух на мртвило, очи да не гледаат и уши да не слушаат, сѐ до ден денешен.'
9. И Давид зборува: 'Нивната трпеза да им биде стапица, мрежа, камен за сопнување и одмазда!
10. Очите нека им се помрачат, за да не гледаат! А плеќите свиткај им ги засекогаш!'
11. Значи, велам: зарем се препнаа за да паднат? Никако! Туку преку нивниот престап им дојде спасение на другите народи, за да бидат самите поттикнати на ревност.
12. Ако нивниот престап значи богатство за светот и нивниот неуспех богатство за другите народи, колку повеќе ќе значи нивната целосност!
13. Но ви зборувам вам, неевреите; бидејќи сум апостол на неевреите, јас ја прославувам мојата служба,
14. та на некој начин да ги поттикнам на ревност моите по тело и да спасам некои од нив.
15. Зашто, ако нивното отфрлање е помирување за светот, што ли ќе биде нивното прифаќање, ако не оживување од мртвите?
16. Ако еден дел е свет, свето е и целото тесто; ако е коренот свет - и гранките се свети.
17. Но ако се откршени некои гранки, а ти, дива маслинка, си накалемен меѓу нив и заедно го користите сочниот корен на маслинката,
18. не фали се пред гранките! Ако се фалиш, знај дека ти не го одржуваш коренот, туку коренот тебе!
19. Ама ќе речеш: 'Гранките се откршени, за да бидам јас накалемен!'
20. Токму така! Поради неверието се откршија, а ти стоиш преку твојата вера.
21. Не гордеј се, туку имај страв! Зашто, ако Бог не ги поштедил природните гранки, не ќе те поштеди ни тебе.
22. Следствено, погледај ги Божјата добрина и строгост: строгоста се изразува спрема паднатите, а Божјата добрина спрема тебе, ако истраеш во добрината, зашто инаку и ти ќе бидеш отсечен.
23. А и тие, ако не останат во неверието, ќе бидат накалемени, зашто Бог може пак да ги накалеми.
24. Зашто, ако ти којшто беше отсечен од природната дива маслинка и против природата беше накалемен на питомата маслинка, колку полесно ќе бидат накалемени врз сопствената маслинка оние кои и се природни.
25. Не сакам, браќа, да ви остане непозната оваа тајна, за да не мудрувате по своја мудрост: еден дел на Израел закораве, додека не се исполни бројот на неевреите.
26. И така, целиот Израел ќе биде спасен, како што е напишано: 'Избавителот ќе дојде од Сион; Тој ќе ја отстрани безбожноста од Јаков,
27. а тоа е Мојот завет со нив, кога ќе им ги отстранам гревовите.'
28. Според Евангелието, тие се непријатели заради вас, но според Божјиот избор, тие се

сакани заради татковците;
29. зашто Божјите дарови и Неговото признание се неотповикливи.
30. И вие Му бевте некогаш непокорни на Бог, но сега добивте милост поради нивната непокорност,
31. па така, значи, и тие станаа сега непокорни, и заради милоста која ви се укажа вам и ним исто така може сега да им се укаже милост.
32. Зашто Бог ги стави сите во непокорност, за да покаже милост спрема сите.
33. О длабочино на богатства и на мудрост, и на Божјото знаење! Колку се недостапни Неговите судови и неиспитливи патиштата Негови!
34. Зашто и кој ја запознал Господовата мисла? Или кој Му бил советник?
35. Или кој Му дал нешто однапред, за да му биде вратено?'
36. Зашто сѐ е од Него, преку Него и за Него. Нему нека Му е слава во вечни векови. Амин!

Глава 12

1. Затоа, браќа, ве молам, заради Божјите милости, да ги принесете вашите тела како жива и света богоугодна жртва. Тоа нека биде ваша разумна служба.
2. Немојте да се сообразувате со овој свет, туку преобразувајте се преку обновувањето на вашиот ум, за да можете да сфатите што е Божја волја, што е добро, угодно и совршено!
3. Зашто, преку благодатта што ми е дадена, му велам на секој еден меѓу вас да не мисли за себе повеќе отколку што треба да мисли, туку мислите нека ви бидат насочени кон разумно расудување, според мерата на верата која Бог му ја доделил секому.
4. Имено, како што во едно тело имаме многу органи, а сите органи немаат иста функција,
5. така и ние, кои сме многу, едно тело сме во Христос, а како поединци - органи сме еден на друг.
6. Бидејќи имаме разни дарови, според дадената ни благодат: ако е пророштво, нека е сразмерно со верата;
7. ако е служење, нека се состои во служење; ако е некој учител, нека поучува;
8. ако има дар на утеха, нека утешува! Кој дава, нека дава штедро; кој управува, нека биде ревносен и кој покажува милост, нека го прави тоа со радост!
9. Љубовта нека ви биде нелицемерна; бегајте од злото, држете се за доброто;
10. љубете се еден друг срдечно со братска љубов; натпреварувајте се во почит еден спрема друг;
11. Не заостанувајте во ревноста; бидете горливи во духот, служејќи Му на Господ;
12. радувајте се во надежта, бидете истрајни во невола; постојани во молитва!
13. Помагајте им на светиите според нивните потреби; бидете гостољубиви!
14. Благословувајте ги оние кои ве прогонуваат; благословувајте, и не колнете!
15. Радувајте се со оние што се радуваат и плачете со оние што плачат.
16. Бидете истомисленици едни со други; не бидете надмени, туку дружете се со понизните. Не сметајте се сами себеси мудри.
17. Никому не враќајте зло за зло; стремете се кон она што е добро пред сите луѓе.
18. Ако е можно, доколку зависи од вас, бидете во мир со сите луѓе;
19. не одмаздувајте се вие, мили мои, туку оставете му можност на Божјиот гнев, зашто е напишано: 'Одмаздата е Моја, Јас ќе возвратам!- говори Господ.'
20. 'Туку, ако твојот непријател е гладен, нахрани го, ако е жеден дај му да пие! Ако направиш така, со вжарени гламни ќе му ја посипеш главата.'
21. Не дозволувај да те надвладее злото; туку надвладеј го злото со добро!

Глава 13

1. Секоја душа нека им се покорува на претпоставените власти, зашто нема власт, а да не е од Бога, а оние кои се поставени, од Бог се поставени.
2. Затоа, оној кој и се противставува на власта, и се противставува на Божјата уредба; а оние што се противставуваат, ќе ја примат својата осуда.
3. Зашто владетелите не се страв и трепет за добри дела, туку за зли. Ако сакаш да не страхуваш од власта, прави добро, па ќе бидеш пофален од неа.
4. Таа е во служба на Бог за твое добро. Но, ако правиш зло, страхувај, зашто таа не носи напразно меч, бидејќи е во служба на Бог и гневно се одмаздува на оној што прави зло.
5. Затоа треба да и бидеш покорен, не само поради гневот, туку и поради совеста.
6. Затоа плаќате и даноци, зашто управителите се Божји службеници кои се занимаваат со тоа.
7. Дајте му го секому она што сте должни: кому данок - данокот; кому царина- царината; кому страв- стравот; кому чест- честа!
8. Не должете никому ништо, освен да се љубите еден друг, зашто кој го љуби ближниот, го исполнува законот.
9. Зашто заповедите: 'Не врши прељуба! Не убивај! Не кради! Не посакувај!' - и ако има уште некоја друга заповед, сите се содржани во овие зборови: 'Љуби го својот ближен како себеси!'
10. Љубовта не му прави зло на ближниот; затоа, љубовта е исполнување на законот.
11. Правете го тоа, знаејќи го времето, бидејќи е дојден часот да се разбудите од сонот; зашто сега спасението ни е поблизу отколку кога поверувавме.
12. Ноќта речиси помина, а денот наближи. Затоа да ги отфрлиме делата на темнината и да се облечеме во оружјето на светлината!
13. Да живееме пристојно како дење, не во гозби и пијанство, не во блуд и прељуба, не во препирки и љубомора,
14. туку загрнете се со нашиот Господ Исус Христос, и не задоволувајте ги похотите на телото.

Глава 14

1. Примајте го слабиот во верата, но не за да го судите неговото мислење!
2. Еден верува дека смее да јаде сѐ, а оној кој е слаб, јаде само зеленчук.
3. Оној што јаде, нека не го презира оној што не јаде; а оној што не јаде, нека не го осудува оној што јаде, зашто Бог го прифатил таков.
4. Кој си ти, што судиш туѓ слуга? Тој стои или паѓа пред својот господар, а ќе стои зашто Господ е силен да го поткрепи.
5. Еден ги разликува деновите, а друг сите денови ги смета еднакви. Секој нека биде наполно уверен во своето мнение!
6. Кој го почитува денот, тоа го прави за Господ; кој јаде, јаде за Господ, бидејќи Му благодари на Бог; и кој не јаде, за Господ не јаде и Му благодари на Бог.
7. Никој од нас не живее за себеси и никој не умира за себеси,
8. зашто ако живееме, живееме за Господ; ако умираме - умираме за Господ. Затоа, живееме ли или умираме, Господови сме.
9. Христос, всушност, и затоа умре и оживеа, за да биде Господар и над мртвите и над живите.
10. А ти, зошто го осудуваш својот брат? Или ти, зошто го презираш својот брат? Зашто, сите ќе застанеме пред Божјиот судски престол,
11. бидејќи е напишано: 'Затоа што Сум жив - вели Господ - пред Мене ќе клекне секое колено; и секој јазик ќе Го признае Бога.'
12. И така, секој од нас за себе ќе одговара пред Бог.
13. Затоа, да не се осудуваме веќе еден со друг, туку подобро да мислиме за тоа никој да не поставува пред братот пречки или соблазни!
14. Знам, и уверен сум во Господ Исус, дека ништо не е нечисто само по себе, туку само за оној кој смета дека нешто е нечисто, за него е нечисто.
15. Зашто, ако е нажален твојот брат заради јадење, ти веќе не постапуваш според љубовта. Не сотирај го со твоето јадење оној за кого Христос умре.
16. И така, не дозволувајте да се хули на вашето добро!
17. Зашто Божјото царство не се состои од јадење и пиење, туку од праведност, мир и радост во Светиот Дух.
18. Оној кој со ова Му служи на Христос, е по волја на Бог и е ценет од луѓето.
19. И така, да се стремиме кон она што е за мир и за заемно надградување!
20. Не урнисувај го Божјото дело заради јадење! Сѐ е чисто, но е зло за човекот, кој јадејќи наведува на грев.
21. Добро е да не се јаде месо, ниту да се пие вино, ни да се прави нешто поради што твојот брат се соблазнува.
22. Верата што ја имаш, имај си ја за себе пред Бог! Блажен е оној кој не се осудува себеси за она што го смета за добро.
23. А оној кој се сомнева кога јаде, се осудува, зашто не јаде од вера; а сѐ што не е од вера, грев е.

Глава 15

1. Ние, силните, должни сме да ги носиме слабостите на слабите, а не да се однесуваме како што нам ни годи.
2. Секој од нас нека се грижи да му угоди на ближниот, за негово надградување,
3. зашто ни Христос не Си угодуваше Сам на Себеси, туку како што е напишано: 'Хулите на оние кои Те хулеа, паднаа на Мене.'
4. И сѐ што било напишано некогаш, напишано ни е нам за поука, за да имаме надеж преку трпението и преку утехата од Писмата.
5. А Бог на трпението и утехата нека ви даде едномисленост меѓу вас според Исус Христос,
6. за да Го славите еднодушно и едногласно, Бог, Таткото на нашиот Господ Исус Христос.
7. Затоа прифатете се еден со друг, како што и Христос ве прифати за Божја слава!
8. Зашто јас велам дека Христос стана слуга на обрежувањето поради Божјата вистина, за да ги потврди ветувањата дадени на татковците;
9. а и за народите да Го прославуваат Бог поради Неговата милосрдност, како што е напишано: 'Затоа ќе Те признаам меѓу народите и ќе Му пеам на Твоето име.'
10. И пак рече:' Веселете се, о народи, со Неговиот народ!'
11. И пак: 'Славете Го Господа сите народи! Нека Го прославуваат сите луѓе!'
12. И пак Исаија вели: 'Ќе се јави подник од Јесеевиот корен, и Оној Кој станува за да владее над народите, во Него ќе се надеваат народите!'
13. А Бог на надежта да ве исполни со сета радост и мир во верата, та преку силата на Светиот Дух да изобилувате во надежта.
14. И јас самиот, браќа мои, уверен сум за вас, дека сте и самите полни со добрина, исполнети со секакво знаење и дека можете да се поучувате еден со друг.
15. Но, за некои работи ви пишав малку послободно, за да ве потсетам дека поради благодатта која ми беше дадена од Бог,
16. за да Му бидам служител на Исус Христос меѓу неевреите, вршејќи света служба за Божјото Евангелие, та неевреите како мој принос да бидат угодни, и осветени преку Светиот Дух.
17. И така, во Христос Исус најдов причина за пофалба во нештата кои се однесуваат на Бог,
18. зашто не се осмелувам да зборувам за нешто друго освен за она што Христос го изврши преку мене, од кое произлезе послушноста на народите преку збор и дело,
19. со силата на знаци и чуда, со силата на Духот, така што од Ерусалим и наоколу, сѐ до Илирик, наполно го проповедав Христовото Евангелие.
20. Но, при тоа не се стремев да го проповедам Евангелието таму каде што Христовото име веќе беше познато, за да не ѕидам врз туѓ темел,
21. туку како што е напишано: 'Ќе Го видат оние на кои ништо не им беше навестено за Него, и ќе разберат оние кои не беа чуле.'
22. Заради тоа многупати бев спречен да дојдам кај вас.
23. Но сега, бидејќи веќе немам поле за работа во овие краишта и затоа што копнеам веќе многу години да дојдам кај вас
24. кога ќе одам за Шпанија, се надевам дека ќе ве видам на минување и дека вие ќе ме испратите оттаму, откако најнапред ќе се порадувам малку со вас.
25. А сега одам за Ерусалим за да им послужам на светиите,
26. зашто Македонија и Ахаја од сѐ срце собраа помош за бедните меѓу светиите во Ерусалим.
27. Навистина, им беше мило да го сторат тоа, а и должни им се; зашто како што неевреите станаа соучесници во нивните духовни богатства, така тие се должни да им послужат во материјалните потреби.
28. Кога ќе го завршам ова и кога ќе им го доставам овој нивни плод, ќе тргнам за Шпанија минувајќи откај вас.
29. А знам дека доаѓајќи кај вас, ќе дојдам со целосен Христов благослов.

30. Покрај тоа, ве молам, браќа, преку нашиот Господ Исус Христос и преку љубовта на Духот, да се борите заедно со мене, молејќи Му се на Бог за мене,
31. за да се избавам од непокорните во Јудеја и за да им биде по волја мојата служба на светиите во Ерусалим,
32. та да можам, по Божја волја, радосно да дојдам кај вас и да се освежам заедно со вас.
33. А Бог на мирот нека е со сите вас, Амин!

Глава 16

1. Ви ја препорачувам нашата сестра Виба, која е на служба во црквата во Кенхреа:
2. да ја примите во Господ, како што им прилега на светии, и помогнете и во сѐ што ќе има потреба од вас; зашто и таа им помагаше на мнозина, а и мене самиот.
3. Поздравете ги Прискила и Акила, моите соработници во Христос Исус,
4. кои ги ризикуваа своите глави за мојот живот и на кои не им благодарам само јас, туку и сите цркви на неевреите.
5. Поздравете ја и црквата во нивниот дом. Поздравете го мојот мил Епенет, кој е првиот обратеник на Азија во Христос!
6. Поздравете ја Марија, која многу се трудеше за вас!
7. Поздравете ги Андроник и Јуниј, моите сонародници и другари во заточеништвото; кои имаат углед меѓу апостолите и кои поверуваа во Христос пред мене.
8. Поздравете го Амплиат, мојот мил во Господ!
9. Поздравете ги Урбан, нашиот соработник во Христос, и мојот мил Стахиј!
10. Поздравете го Апелиј, проверениот во Христос! Поздравете ги оние од домот на Аристобул!
11. Поздравете го мојот сонародник Иродион! Поздравете ги и оние од Нарцисовиот дом, кои се во Господ!
12. Поздравете ги Трифена и Трифоса, кои се трудат во Господ! Поздравете ја милата Персида, која многу се трудеше во Господ!
13. Поздравете го Руф, избраниот во Господ, и неговата мајка и моја!
14. Поздравете ги Асинкрит, Влегонт, Ерма, Патроб, Ермија и браќата кои се со нив!
15. Поздравете ги Вилолог и Јулија, Нирej и неговата сестра, потоа Олимп и сите светии, кои се со нив!
16. Поздравете се еден со друг со свет целив! Ве поздравуваат сите Христови цркви.
17. Ве молам, браќа, чувајте се од оние кои прават раздори и препирки против учењето кое го научивте, и бегајте скраја од нив!
18. Зашто, таквите не Му служат на нашиот Господ Христос, туку на својот стомак, и со благи и ласкави зборови ги заведуваат срцата на простодушните.
19. Вашата послушност им е позната на сите. Затоа се радувам за вас, но сакам да бидете мудри за доброто, а неупатени во злото!
20. А Бог на мирот наскоро ќе го сотре сатаната под вашите нозе. Благодатта на нашиот Господ Исус нека биде со вас!
21. Ве поздравуваат мојот соработник Тимотеј и моите сонародници Луциј, Јасон и Сосипатар.
22. Ве поздравувам во Господ и јас, Тертиј, кој го напиша ова писмо.
23. Ве поздравува Гај, домаќинот мој и на целата црква. Ве поздравуваат градскиот благајник Ераст и братот Кварт.
24. Благодатта на нашиот Господ Исус Христос да биде со сите вас!
25. А на Оној кој може да ве утврди - според моето Евангелие и според проповедта за Исус Христос, согласно со откровението на тајната за која се молчеше од дамнина,
26. а сега се јави преку пророчките списи и по заповед на вечниот Бог им беше соопштена на сите народи, приведувајќи ги кон послушност на верата,
27. - на единствениот мудар Бог, нека биде слава преку Исус Христос во сите векови. Амин!

1 Петрово

Глава 1

1. Павле, преку Божјата волја повикан апостол на Исус Христос, и братот Состен,
2. до Божјата црква во Коринт, до осветените во Христос Исус, повиканите светии, заедно со сите кои на секое место го повикуваат името на Исус Христос, нивни и наш Господ.
3. Благодат вам и мир од Бог, нашиот Татко, и од Господ Исус Христос.
4. Секогаш Му благодарам на својот Бог за вас, за Божјата благодат што ви е дадена во Христос Исус,
5. зашто во Него се збогативте во сè, во секој говор и секое знаење,
6. како што и Христовото сведоштво се утврди во вас,
7. така што да не ви недостига ниеден дар, чекајќи го нестрпливо откровението на нашиот Господ Исус Христос;
8. Кој ќе ве утврдува докрај, за да бидете беспрекорни во денот на нашиот Господ Исус Христос.
9. Верен е Бог, преку Кого сте повикани во заедништво со Неговиот Син, Исус Христос, нашиот Господ.
10. Браќа, ве молам во името на нашиот Господ Исус Христос, сите да зборувате исто и да нема раздори меѓу вас, туку да бидете совршено соединети во еден ум и во една мисла.
11. Имено, браќа мои, домашните на Хлое ми јавија дека меѓу вас има препирки.
12. Со ова сакам да кажам дека секој од вас зборува: 'Јас сум Павлов', 'Јас сум Аполосов', 'Јас пак Кифин', а 'Јас Христов'.
13. Дали Христос се раздели? Дали Павле беше распнат за вас? Во Павлово ли име бевте крстени?
14. Му благодарам на Бог, што никого од вас не крстив, освен Крисп и Гај,
15. за да не рече некој дека сте крстени во моето име.
16. Го крстив уште и Стефановиот дом; натаму не знам дали сум крстил некој друг.
17. Зашто Христос не ме испрати да крштавам, туку да го проповедам Евангелието, не со говорничка мудрост - за Христовиот крст да не го изгуби своето значење.
18. Зашто, словото за крстот е безумство за оние кои гинат, а за нас кои се спасуваме, Божја сила,
19. зашто е напишано: 'Ќе ја уништам мудроста на мудрите и ќе го отфрлам разумот на умните.'
20. Каде е мудрецот? Каде е законикот? Каде е толкувачот на овој век? Не ја претвори ли Бог мудроста на светов во безумие.
21. Зашто, откако при Божјата мудрост светот не Го позна Бог, Негова волја беше преку безумството на проповедањето да ги спаси оние кои веруваат.
22. Зашто Евреите бараат знаци, а Грците се стремат кон мудрост,
23. но ние Го проповедаме распнатиот Христос, Кој е камен на сопнување за Евреите и безумство за народите,
24. а за повиканите, како Евреи така и Грци, Христос, Божјата сила и Божјата мудрост.
25. Зашто безумното од Бог, помудро е од луѓето, и немоќното од Бог, помоќно е од луѓето.
26. Браќа, земете го предвид вашето призвание, дека немаше многумина мудри по тело, немаше многумина силни, ниту многумина од благороден род,
27. но, Бог го избра она што е безумно во светот, за да ги посрами мудрите; она што е немоќно во светот, Бог го избра за да ги посрами силните;
28. и она што е ништожно, што е презрено во светот и она што се смета за ништо, Бог го избра за да го поништи она што е нешто,
29. за да не може ниту еден да се фали пред Бог.
30. Преку Него сте и вие во Христос Исус, Кој ни стана мудрост од Бог, праведност, осветување и откуп,
31. токму како што е напишано: 'Кој се фали, во Господ да се фали!'

Глава 2

1. А јас, кога дојдов кај вас, браќа, не дојдов со надмоќен говор или мудрост, навестувајќи ви го Божјото сведоштво;
2. зашто решив да не знам меѓу вас ништо друго, освен Исус Христос, и тоа распнатиот.
3. И јас бев со вас во немоќ, во страв и во многу трепет,
4. и мојата порака и мојата проповед не се состоеја во убедливи зборови на мудроста, туку во пројава на Духот и силата,
5. та вашата вера да не почива врз човечка мудрост, туку врз Божја сила.
6. Па сепак, говориме за мудрост меѓу оние кои се зрели; но не мудроста на ова време ни на владетелите на денешницата, кои се минливи,
7. туку говориме за Божјата мудрост, во тајна, скриена, која Бог од дамнина ја предопределил за наша слава;
8. мудрост која не ја разбрал ниту еден од владетелите на денешницата, зашто ако ја беа разбрале, немаше да Го распнат Господ на славата;
9. туку, како што е напишано: 'Што око не видело, што уво не чуло и што во човечко срце не дошло, тоа Бог го подготви за оние кои Го љубат.'
10. А Бог ни го откри тоа нам преку Духот, зашто Духот испитува сѐ, па дури и Божјите длабочини.
11. Зашто, кој од луѓето знае што е во човекот, освен човечкиот дух што е во него? Па така, никој не знае што има во Бог, освен Божјиот Дух.
12. А ние не го примивме духот на овој свет, туку Духот Кој е од Бог, за да ги знаеме нештата што Бог дарум ни ги дал.
13. Нешта кои не ги зборуваме со зборови научени од човечка мудрост, туку научени од Духот, изразувајќи го духовното со духовни зборови.
14. А душевниот човек не го прима она што е од Божјиот Дух, зашто тоа е безумство за него, и не може да го разбере, зашто за тоа треба да расудува на духовен начин.
15. Духовниот човек пак, испитува сѐ, а него никој не го испитува,
16. зашто: 'Кој го запозна Господовиот ум, за да Го поучи?' А ние го имаме Христовиот ум.

Глава 3

1. Јас, браќа, не можев да ви зборувам како на духовни, туку како на телесни, како на деца во Христос.
2. Со млеко ве напоив, а не со тврда храна, зашто уште не сте способни да ја примите. А ни сега не сте способни,
3. зашто сè уште сте телесни. Не сте ли телесни и не живеете ли како обичните луѓе, штом меѓу вас има завист и препирки?
4. Не сте ли телесни кога еден зборува: 'Јас сум Павлов', а друг: 'Јас сум Аполосов?'
5. Па што е Аполос? Што е Павле? Служители преку кои вие поверувавте и тоа според она, колку кому Господ му дал.
6. Јас посадив, Аполос навади, но Бог направи да расте.
7. Затоа, ниту оној кој сади е нешто, ниту оној кој полева, туку Бог Кој прави да расте.
8. А оној кој сади и оној кој полева, едно се, но секој ќе ја прими својата награда според својот труд.
9. Ние сме Божји соработници, а вие сте Божја нива, Божја градба.
10. Според Божјата благодат, која ми беше дадена, јас, како мудар ѕидар, поставив основа, а друг гради врз неа. Но секој да внимава како гради врз неа.
11. Зашто, никој не може да постави друга основа, освен онаа што е поставена, која е Исус Христос.
12. Ако некој врз оваа основа ѕида со злато, сребро, скапоцени камења, дрво, сено, слама,
13. сечие дело ќе излезе на видело; денот ќе го покаже, зашто ќе се открие преку оган; а огнот ќе ја испита вредноста на сечие дело.
14. Оној, кому ќе му остане тоа што го градел, ќе прими награда;
15. а оној чие дело ќе изгори, тој ќе претрпи загуба, а самиот ќе се спаси, но така како низ оган.
16. Не знаете ли дека сте Божји храм и дека Божјиот Дух живее во вас?
17. Ако некој го урива Божјиот храм, Бог ќе го урне него, зашто Божјиот храм е свет, а тоа сте вие.
18. Никој нека не се мами. Ако некој меѓу вас мисли дека е мудар во овој свет, нека стане безумен, за да може да стане мудар,
19. зашто мудроста на овој свет е безумство пред Бог! Зашто напишано е: 'Тој ги разоткрива мудрите во нивното лукавство.'
20. И пак: 'Господ ги знае мислите на мудрите, знае дека се суетни.'
21. Затоа никој да не се фали со луѓе! Зашто сè е ваше,
22. било да е Павле, или Аполос, или Кифа, или светот, или животот, или смртта, или сегашноста, или иднината, сè ви припаѓа вам,
23. а вие Му припаѓате на Христос, а Христос на Бог.

Глава 4

1. И така, секој човек, во таа смисла, нека нѐ смета за Христови служители и за управители на Божјите тајни!
2. А од управителите натаму се бара секој да се покаже доверлив.
3. За мене сосем малку ми значи што ме осудувате вие или друг човечки суд, всушност ни самиот јас не се судам себеси.
4. Зашто сум свесен дека во ништо не сум виновен, но со тоа не сум оправдан. Туку, Господ е Тој Кој ќе ме суди.
5. Затоа не судете ништо предвреме, пред да дојде Господ, Кој ќе го изнесе на видело скриеното во темнина и ќе ги открие намерите на срцата, и тогаш сечија пофалба ќе дојде од Бог.
6. А врз себе и врз Аполос покажав пример, браќа, заради вас, за да научите од нас да не мудрувате повеќе од она што е напишано, за да не се вообрази ниту еден за сметка на друг.
7. Зашто, кој те смета за поинаков? Има ли нешто, што не си примил? И така, ако си примил, зошто се фалиш како да не си примил?
8. Веќе се наситивте, се обогативте, без нас се зацаривте. И камо да се бевте зацариле, та и ние да владееме со вас!
9. Зашто, ми се чини, Бог нѐ постави нас апостолите последни, како осудени на смрт; зашто станавме јавен приказ пред светот, како на ангелите така и на луѓето.
10. Ние сме безумни заради Христос, а вие сте мудри во Христос! Ние сме немоќни, а вие сте силни; вие сте со чест, а ние без чест.
11. До овој час гладуваме и жеднееме, и необлечени сме, и нѐ бијат, и талкаме,
12. и се трудиме работејќи со своите раце. Кога нѐ навредуваат, ние благословуваме; кога нѐ прогонуваат, ние поднесуваме;
13. кога нѐ клеветат, ние им се обраќаме благо. Станавме како отпадок за светот, како смет исфрлен од сите, сѐ досега.
14. Не го пишувам ова за да ве засрамам, туку за да ве предупредам како мои мили чеда,
15. зашто, ако имате безбројни воспитувачи во Христос, сепак немате многу татковци, зашто јас ви станав татко во Христос Исус преку Евангелието.
16. Затоа, ве молам угледајте се на мене.
17. Затоа и го испратив кај вас Тимотеј, моето мило и верно чедо во Господ. Тој ќе ви напомне за моите патишта во Христос, како што поучувам насекаде и во секоја црква.
18. Некои се вообразија, како да нема да дојдам кај вас.
19. Но наскоро ќе дојдам кај вас, ако сака Господ, и тогаш ќе ги дознаам не зборовите на оние вообразените, туку нивната сила,
20. зашто Божјото царство не се состои во зборови, туку во сила.
21. Што сакате? Да дојдам кај вас со прачка или со љубов и со кроток дух?

Глава 5

1. Всушност, се зборува дека меѓу вас има блудство, и тоа такво какво што нема ни меѓу безбожниците, дека некој ја има татковата жена.
2. А вие уште се вообразивте и не жалите; нека биде отстранет од вашата средина оној што го направил тоа дело!
3. Зашто, иако во телото сум отсутен, присутен сум во духот, и јас веќе го осудив оној кој го направил тоа како да сум присутен.
4. Кога во името на нашиот Господ Исус ќе се соберете вие и јас со мојот дух, со силата на нашиот Господ Исус,
5. да го предадете таквиот на сатаната, за пропаст на неговото тело, за да биде спасен неговиот дух во денот на Господ Исус.
6. Вашето фалење не е добро. Не знаете ли дека малку квас го потквасува целото тесто?
7. Исчистете се од стариот квас, за да бидете ново тесто, како што сте бездруго бесквасни. Зашто и Христос, нашето пасхално јагне, беше жртвувано за нас.
8. Затоа треба да празнуваме не со стариот квас, ниту со квасот на злобата и пакоста, туку со бесквасниот леб на искреноста и вистината.
9. Во моето писмо ви напишав, да не станувате блиски со блудници,
10. но воопшто не мислев на блудниците од овој свет, или со алчните, или со измамниците, или со идолопоклонците, зашто тогаш би требало да излезете од светот.
11. Но сега ви напишав да не станувате блиски со оној кој се нарекува брат, а блудник е или алчен, или идолопоклоник, или пцујач, или пијаница или измамник. Со таков и да не јадете!
12. Зашто, моја работа ли е да ги судам оние кои се надвор? Зар вие не им судите на оние кои се внатре?
13. А Бог ќе им суди на оние кои се надвор. 'Отстранете го злиот од вашата средина!'

Глава 6

1. Се осмелува ли некој од вас, ако има спор со друг, да оди на суд пред неправедните, а не пред светиите?
2. Или не знаете ли дека светиите ќе му судат на светот? И ако вие ќе му судите на светот, не сте ли достојни да судите во малите спорови?
3. Не знаете ли дека ние ќе им судиме на ангелите! А камо ли на делата од овој живот!
4. И така, ако имате поставено судови за работите од овој живот, дали ги поставувате за судии оние кои се малку ценети во црквата!
5. Зборувам за ваш срам. Вистина ли е дека меѓу вас нема ниеден мудар, кој би можел да пресуди меѓу своите браќа,
6. туку брат се суди со брат, и тоа пред неверници?
7. Без сомнение, тоа е веќе за сите вас пораз, штом имате парници помеѓу себе. Зошто поарно не претрпите неправда? Зошто поарно не претрпите штета?
8. Впрочем, вие самите ги онеправдувате и оштетувате, и тоа браќата!
9. Или не знаете дека неправедните нема да го наследат Божјото царство? Не мамете се! Ни блудниците, ни идолопоклониците, ни прељубниците, ни полово изопачените, ни хомосексуалците,
10. ни крадците, ни алчните, ни пијаниците, ни клеветниците, ни измамниците, нема да го наследат Божјото царство.
11. А некои од вас беа такви. Но, бевте измиени, и бевте осветени, и бевте оправдани во името на нашиот Господ Исус Христос и во Духот на нашиот Бог.
12. Сè ми е дозволено, но не е сè полезно. Сè ми е дозволено, но не сакам ништо да завладее над мене.
13. Храната е за стомакот, а стомакот за храната, но Бог ќе ги уништи и едното и другото. Телото не е за блудство, туку за Господ, а Господ е за телото;
14. Бог, Кој Го воскресна Господ, ќе нè воскресне и нас со Својата моќ.
15. Не знаете ли дека вашите тела се Христови органи? И така, да ги земам ли Христовите органи и да ги направам органи на блудница? Никако!
16. Или не знаете дека оној кој ќе се соедини со блудница станува едно тело со неа? Зашто Тој рече: 'Обата ќе станат едно тело.'
17. А кој се соединува со Господ, еден дух е со Него.
18. Бегајте од блудство! Секој грев што човекот го прави, е надвор од телото, а блудникот греши против своето сопствено тело.
19. Или не знаете дека вашето тело е храм на Светиот Дух Кој е во вас, Кого го имате од Бог, па дека не си припаѓате на себеси?
20. Зашто скапо сте платени. Затоа, прославете Го Бог во своето тело.

Глава 7

1. А што се однесува до она за што ми пишавте, добро е за човекот да не се допира до жена,
2. но заради блудството секој маж нека си има своја жена и секоја жена свој маж.
3. Мажот нека ја исполнува својата должност спрема својата жена, а исто така и жената спрема својот маж!
4. Жената нема власт над своето тело, туку мажот. Исто така и мажот нема власт над своето тело, туку жената.
5. Не лишувајте се еден од друг, освен по договор, за некое време, за да се посветите на молитва. Потоа состанете се пак, за да не ве искушува сатаната заради недостиг на воздржливост.
6. Ова ви го велам како отстапка, а не како заповед.
7. Јас би сакал сите луѓе да бидат исти како мене. Но секој има од Бог свој дар, еден ваков, а друг онаков.
8. На неженетите и на вдовиците им велам дека е добро за нив да останат исто како мене.
9. Но, ако не можат да се воздржуваат, нека се женат и мажат, зашто е подобро да стапат во брак отколку да се распалуваат.
10. А на сопружниците им наложувам не јас, туку Господ: жената да не го напушта мажот
11. (ако го напушти, нека остане немажена или нека се помири со својот маж); и мажот да не ја остава својата жена.
12. А на другите им велам јас, а не Господ: ако некој брат има жена која не верува, а која се согласува да живее со него, да не ја напушта!
13. А жената која има маж, кој не верува, а кој се согласува да живее со неа, да не го напушта мажот,
14. зашто мажот кој не верува, се осветува преку жената, а жената која не верува, се осветува преку мажот. Инаку вашите деца би биле нечисти, а сега се свети.
15. Но, ако оној кој не верува замине - нека замине! Во таков случај, братот или сестрата не се обврзани, бидејќи Бог нè повикал да живееме во мир.
16. Зашто, откаде знаеш ти, жено, дали не ќе го спасиш мажот? Или откаде знаеш ти, мажу, дека не ќе ја спасиш жената?
17. Впрочем, секој нека оди онака, како што Господ му доделил, како што Бог го повикал! Така наредувам по сите цркви.
18. Ако повиканиот е веќе обрежан, да не стане необрежан; ако ли е необрежан, да не се обрежува!
19. Обрежувањето е ништо, и необрежувањето е ништо, а она што е важно е извршувањето на Божјите заповеди.
20. Секој нека остане онаков каков што е повикан!
21. Ако си повикан како роб? Не грижи се! Но, ако можеш да станеш слободен, подобро искористи го тоа,
22. зашто оној кој е повикан во Господ како роб, слободен е во Господ; исто така, и оној кој е повикан како слободен, Христов роб е.
23. Скапо сте платени! Не станувајте им робови на луѓето!
24. Браќа, секој нека остане пред Бог во она во што бил, кога бил повикан.
25. За девиците немам заповед од Господ, но го кажувам своето мнение како таков, кој по Господовата благодат, е достоен за доверба.
26. Според тоа, сметам дека ова е добро заради сегашната потреба: дека е добро за човекот да остане таков, како што си е.
27. Сврзан ли си со жена, не барај развод! Разврзан ли си од жена, не барај жена!
28. Но, и да се ожениш, не грешиш; а ни девицата не греши ако се омажи. Но, таквите ќе имаат телесни неволи во животот, а јас пак се обидувам да ве поштедам.
29. Браќа, ви го велам ова: времето е кратко, па затоа оние кои имаат жени, да бидат како да

ги немаат,
30. и оние кои плачат, како да не плачат; и оние кои се радуваат, како да не се радуваат; и оние кои купуваат, како да не поседуваат;
31. и оние кои го ползуваат овој свет, како да не го ползуваат потполно, зашто поминува обликот на овој свет.
32. Но би сакал да не бидете загрижени. Оној кој не е во брак, се грижи за она што е Господово: како да Му угоди на Господ.
33. А женетиот се грижи за земното: како да и угоди на жената,
34. та вниманието му е поделено. Немажената жена, девицата, се грижи за Господовото, за да биде света во телото и во духот; а мажената се грижи за световното, како да му угоди на својот маж.
35. Ова го зборувам за ваша сопствена полза. Не за да ве ограничам, туку за да се истакне пригодното и да немате непопречена посветеност спрема Господа.
36. Мисли ли некој дека постапува неприлично со својата девица, која навлегла во години, и дека така треба да биде, нека прави како што сака: не греши, нека се мажи!
37. А оној, кој стои цврсто во своето срце и нема потреба, туку владее со својата волја, и решил во своето срце да ја запази својата девица, добро прави.
38. Значи, оној што ќе ја омажи својата девица добро прави, а оној што ќе ја омажи, прави подобро.
39. Жената е врзана додека мажот и е жив. Ако и умре мажот, слободна е да се премажи за кого сака, но само во Господ!
40. А, според моето мислење, ќе биде посреќна ако си остане така; а мислам дека и јас Го имам Божјиот Дух.

Глава 8

1. Што се однесува до идолските жртви, знаеме дека сите ние имаме знаење. Знаењето вообразува, а љубовта надградува.
2. Ако некој мисли дека знае нешто, тој сѐ уште не знае како што треба да знае!
3. Но, ако некој Го љуби Бога, него Бог го познава.
4. И така, во однос на јадењето на идолски жртви, знаеме дека идолот не е ништо во светот и дека нема друг Бог освен Единиот.
5. Зашто, дури и да има таканаречени богови, било на небото, било на земјата - како што има многу богови и многу господари -
6. сепак, ние имаме еден Бог, Таткото, од Кого е сѐ и за Кого постоиме ние, и еден Господ Исус Христос, преку Кого е сѐ, и преку Кого суштествуваме и ние.
7. Но, сите го немаат ова знаење. Имено, некои што се досега навикнати на идолите - ја јадат храната како идолска жртва, и така се осквернува нивната слаба совест.
8. Меѓутоа храната не нѐ прави угодни на Бог: ниту губиме нешто, ако не јадеме, ниту добиваме нешто, ако јадеме.
9. Но внимавајте оваа ваша слобода да не им стане камен за сопнување на слабите!
10. Зашто ако некој те види тебе, кој имаш познавање, како седиш на трпеза во идолски храм, нема ли неговата совест, бидејќи е слаба, да биде поттикната да јаде од жртвуваното на идолите?
11. И заради твоето познавање загинува слабиот, братот за кого Христос умре.
12. Значи, грешејќи против браќата и ранувајќи ја нивната слаба совест, грешите против Христос.
13. Затоа, ако храната го наведува на грев мојот брат, нема воопшто да јадам месо довека, за да не го наведувам на грев својот брат.

Глава 9

1. Не сум ли слободен? Не сум ли апостол? Не го видов ли Исус, нашиот Господ? Не сте ли вие мое дело во Господ?
2. Ако на другите не сум им апостол, вам сум ви: зашто вие сте печат на моето апостолство во Господ.
3. Ова е мојата одбрана пред оние кои ме испитуваат.
4. Немаме ли право да јадеме и пиеме?
5. Немаме ли право да водиме сестра, верна жена, како и другите апостоли, Господовите браќа и Кифа?
6. Или само јас и Варнава немаме право на издршка?
7. Кој војник служел некогаш на своја сметка? Кој сади лозје, а не јаде од неговиот плод? Или кој пасе стадо, а не го ползува млекото од стадото?
8. Го зборувам ли ова само како човек? Не го вели ли ова и Законот?
9. Зашто, во Мојсеевиот Закон е напишано: 'Не врзувај му ја устата на волот додека врши!' - Зар Бог се грижи за воловите?
10. Или го вели тоа главно поради нас? Да, тоа е напишано поради нас, зашто оној што ора, треба да ора во надеж и кој врши, да врши во надеж дека ќе добие нешто.
11. Ако ние посеавме во вас духовни нешта, дали е премногу ако ожнееме од вашите земни нешта?
12. Ако други го имаат тоа право над вас, немаме ли ние поголемо? Но ние не се служиме со тоа право, туку поднесуваме сѐ, за да не му поставиме некаква пречка на Христовото Евангелие.
13. Не знаете ли дека од храмот се хранат оние кои исполнуваат света служба и дека служителите на жртвеникот добиваат дел од жртвеникот?
14. Така, Господ им нареди на оние што го проповедаат Евангелието, да живеат од Евангелието.
15. А јас не се ползував со ништо од сето тоа. А и ова не го напишав за да се постапува така во мојот случај, зашто за мене е подобро да умрам, отколку некој да ми ја уништи пофалбата.
16. Ако пак го проповедам Евангелието нема за што да се фалам, зашто тоа ми е обврска. И тешко мене, ако не го проповедам Евангелието!
17. Ако го правам тоа доброволно, имам награда; но, ако не го правам по своја волја, тогаш ми е доверено на управување.
18. Која е тогаш мојата награда? Проповедајќи, бесплатно да го давам Евангелието и да не го исползувам наполно своето право од Евангелието.
19. Навистина, иако сум слободен од сите, им станав роб на сите, за да ги придобијам што повеќе.
20. На Евреите им станав како Евреин, за да ги придобијам; на оние кои се под Законот им станав како под Законот, иако не сум под Законот, за да ги придобијам оние што се под Законот.
21. На оние што се без закон, како без закон, иако не сум без Божјиот Закон, туку сум под Христовиот Закон, за да ги придобијам оние што се без закон.
22. За немоќните станав немоќен, за да ги придобијам немоќните; на сите им станав сѐ, та по секаков начин да спасам некои.
23. А сето тоа го правам заради Евангелието, за да имам дел во него.
24. Не знаете ли дека на трката трчаат сите натпреварувачи, но само еден ја добива наградата! Трчајте така и вие, за да добиете!
25. Секој натпреварувач се воздржува од сѐ: тие, за да добијат распадлив венец, а ние нераспадлив.
26. Затоа јас трчам така, не бесцелно; и удирам, не како во празно,
27. туку го совладувам своето тело и го правам свој роб, та јас кој им проповедав на другите,

да не бидам самиот исклучен.

Глава 10

1. Не сакам да ви биде непознато, браќа, дека сите наши татковци беа под облакот и сите минаа низ морето
2. и сите се крстија во Мојсеј, во облакот и во морето;
3. и сите јадеа иста духовна храна;
4. и сите пиеја иста духовна напивка; зашто пиеја од духовната Карпа, која ги придружуваше, а Карпата беше Христос.
5. Но Бог не беше задоволен со повеќето од нив, и беа погубени во пустината.
6. А тие нешта станаа примери за нас, за да немаме зли желби, како што ги имаа тие.
7. И не бидете идолопоклоници како некои од нив, како што е пишано: 'Народот седна да јаде и пие, а потоа стана да игра!'
8. Ниту блудствувајте, како што блудствуваа некои од нив, и во еден ден паднаа дваесет и три илјади!
9. Ниту да Го искушуваме Господ, како што Го искушуваа некои од нив, и загинаа од змии.
10. Ниту да негодувате, како што негодуваа некои од нив, и загинаа од сотирачот!
11. А сето тоа им се случи за пример ним и е запишано за поука нам, на кои им наближуваат последните времиња.
12. И така, секој кој мисли дека стои, нека внимава да не падне!
13. Никакво искушение не ве наваса, освен човечкото. А Бог е верен и не ќе дозволи да бидете искушувани над вашите сили, туку заедно со искушението ќе ви даде и излез, за да можете да го издржите.
14. Затоа, мили мои, бегајте од идолопоклонство!
15. Ви зборувам како на мудри; пресудете сами за она што ви го зборувам.
16. Чашата на благословот, што ја благословуваме, не е ли заедништво во Христовата крв? Лебот, што го раскршуваме, не е ли заедништво во Христовото тело?
17. Бидејќи лебот е еден, иако ние сме многу, само едно тело сме, зашто сите учествуваме во еден леб.
18. Погледнете го Израел по тело! Оние, што ги јадат жртвите, не ли учествуваат во жртвеникот?
19. Што сакам да речам? Дали дека жртвуваното на идолите е нешто; или дека идолот претставува нешто?
20. Не, туку дека она што многубошците го жртвуваат, им го жртвуваат на демони, а не на Бог; а јас не сакам вие да општите со демони.
21. Не можете да ја пиете Господовата чаша и демонската чаша. Не можете да учествувате на Господовата трпеза и на демонската трпеза.
22. Сакаме ли да предизвикаме љубомора кај Господ? Да не сме ние посилни од Него?
23. Сè е дозволено, но не е сè полезно. Сè е дозволено, но не е сè поучно.
24. Никој да не ја бара својата полза, туку ползата на другиот!
25. Јадете сè што се продава во месарница, не испитувајќи ништо заради совеста,
26. зашто 'Господова е земјата и сè што ја исполнува.'
27. Ако некој од неверниците те покани, а ти сакаш да отидеш, јади од сè што ќе стават пред тебе, не испитувајќи ништо заради совеста.
28. Но, ако некој ти рече: 'Ова месо било жртвувано на идоли,' не јади заради оној кој те известил и заради совеста;
29. не мислам на твојата совест, туку на оној другиот. Зошто мојата слобода да биде судена од туѓа совест?
30. Ако учествувам со благодарност, зошто ме клеветат за она за кое благодарам?
31. Според тоа, јадете ли, пиете ли, или што и да правите, правете сè за Божја слава!
32. Не бидете им соблазна на Евреите, ни на Грците, ни на Божјата црква,
33. како што и јас им угодувам на сите во сè и не ја барам својата сопствена полза, туку на

многумина, за да се спасат.'

Глава 11

1. Угледајте се на мене, како и јас на Христос.
2. Ве пофалувам дека ме помните во сѐ и дека ги држите преданијата како што ви ги предадов.
3. Но сакам да знаете дека Христос е глава на секој маж, а мажот е глава на жената; а пак Бог е глава на Христос.
4. Секој маж, кој се моли или пророкува имајќи нешто на неговата глава, ја срамоти својата глава.
5. А секоја жена, која се моли или пророкува гологлава, ја срами својата глава, зашто е сосем еднаква со онаа што си ја избричила главата.
6. Имено, ако жената нема покривало, тогаш нека се истриже! Но ако е срамно за жената да се стриже или да си ја бричи главата, нека ја покрива!
7. Мажот пак, не треба да ја покрива главата, зашто е лик и слава Божја, а жената е слава на мажот.
8. Мажот не е од жената, туку жената од мажот,
9. бидејќи мажот не е создаден заради жената, туку жената заради мажот.
10. Затоа жената треба да има власт над главата, заради ангелите.
11. Но во Господ ниту мажот е независен од жена, ниту жената е независна од маж,
12. зашто како што жената има потекло од мажот, така и мажот се раѓа преку жената, а сѐ потекнува од Бог.
13. Пресудете сами во себе дали и прилега на жена да Му се моли на Бог без покривало?
14. Не ве учи ли самата природа дека е непристојно мажот да носи долга коса,
15. ако пак жената има долга коса, зарем не е тоа слава за неа, зашто долгата коса и е дадена место покривало.
16. Но ако некој мисли да се препира - ние немаме таков обичај, ниту Божјите цркви.
17. Давајќи ви ги овие упатства, јас не ве фалам, зашто се собирате не за подобро, туку за полошо.
18. Зашто, пред сѐ, кога се собирате в црква, слушам дека постојат раздори меѓу вас, и донекаде верувам во тоа,
19. зашто меѓу вас треба да има и разлики, за да се покажат проверените меѓу вас.
20. И така, кога се собирате, не е тоа за да се јаде Господовата вечера,
21. зашто на вашите вечери, секој првин си го зема своето јадење, па еден останува гладен, а другиот се опијанува.
22. Зарем си немате куќи за да јадете и пиете? Или ја презирате Божјата црква и ги срамите оние што немаат? Што да ви речам? Да ве пофалам ли? За ова не ве фалам.
23. Зашто, јас го примив од Господ она што и ви го предадов: дека Господ Исус онаа ноќ во која беше предаден, зеде леб,
24. и откако благодари, го раскрши и рече: 'Ова е Моето тело, кое е за вас, правете го ова за Мој спомен!'
25. Исто така, по вечерата ја зеде и чашата и рече: 'Оваа чаша е новиот завет во Мојата крв; правете го ова секојпат кога пиете, за Мој спомен!'
26. Зашто, секојпат кога ќе го јадете овој леб и ќе пиете од оваа чаша, ја објавувате Господовата смрт - додека дојде Тој.
27. Затоа, секој што јаде од лебот или пие од Господовата чаша на недостоен начин, ќе биде виновен за телото и крвта на Господ.
28. Но, секој нека се испита себеси, та така да јаде од лебот и да пие од чашата,
29. зашто оној што јаде и пие, а правилно не Го разликува Господовото тело, јаде и пие за своја осуда.
30. Затоа мнозина меѓу вас се немоќни и болни, а мнозина - починаа.
31. Ако се осудуваме сами себеси, нема да ни се суди;

32. а кога сме судени, Господ нѐ кара, за да не бидеме осудени заедно со светот.
33. Затоа , браќа мои, кога се собирате да јадете, чекајте се еден со друг!
34. Ако е некој гладен, нека јаде дома, за да не се собирате за осуда. А другите работи ќе ги средам кога ќе дојдам.

Глава 12

1. А што се однесува до духовните дарови, браќа, не сакам да останете во незнаење.
2. Знаете дека кога бевте многубошци, дозволувавте да бидете терани кон немите идоли.
3. Затоа ве известувам дека никој кој зборува со Божјиот Дух, не вели: 'Проклет да е Исус,' и никој не може да каже: 'Исус е Господ,' освен преку Светиот Дух.
4. Има различни дарови, но Духот е ист.
5. Различни се и службите, но Господ е ист.
6. Има разлики во дејствувањето, но Бог е ист, Кој врши сѐ во сите.
7. Но на секому му е дадена појавата на Духот за општа полза.
8. На еден преку Духот му се дава слово на мудрост, на друг слово на знаење според истиот Дух;
9. на друг вера преку истиот Дух, а на друг пак дарови на исцелување преку истиот Дух,
10. на друг да прави чуда, на друг пророштво, на друг да разликува духови, на друг разни јазици, а на друг да толкува јазици.
11. А сето тоа го прави еден и ист Дух, Кој му разделува секому како што сака.
12. Зашто, како што е телото едно, а има многу органи, и сите органи на телото, иако се многу, едно тело се, така е и Христос.
13. Зашто ние сите сме крстени преку еден Дух, во едно тело - било Евреи, или Грци, било робови, или слободни, и сите сме напоени од еден Дух.
14. Зашто телото не се состои од еден орган, туку од многу.
15. Ако ногата рече: 'Бидејќи не сум рака, не му припаѓам на телото', тоа не ја прави да не биде од телото.
16. И ако увото рече: 'Бидејќи не сум око, не му припаѓам на телото', тоа не го прави да не биде од телото.
17. Ако целото тело беше око, каде ќе беше слухот? Ако целото беше слух, каде ќе беше сетилото за мирис?
18. Но Бог ги поставил органите во телото, секој еден од нив како што Му било по волја.
19. Ако пак се беше еден орган, каде ќе беше телото?
20. А сега има многу органи, а телото е едно.
21. Не може окото да и рече на раката: 'Не си ми потребна', или пак главата на нозете: 'Не сте ми потребни!'
22. Напротив, многу е понеопходни се оние органи на телото што изгледаат немоќни
23. и поголема почит им даваме на оние органи на телото за кои сметаме дека се за помала почит. Нашите понеугледни органи имаат поголем углед,
24. угледните, пак, немаат потреба од тоа. Но Бог така го составил телото, што му дал поголема чест на оној орган, што ја нема,
25. за да нема раздор во телото, туку органите еднакво да се грижат еден за друг.
26. И ако страда еден орган, со него страдаат сите органи; или ако се слави еден орган, сите органи се радуваат со него.
27. Вие сте Христово тело, а поодделно, негови органи.
28. А Бог поставил во црквата, прво апостоли, второ пророци, трето учители, потоа чудотворни сили, па дарови за исцелување, за помагање, за управување, и разни јазици.
29. Сите ли се апостоли? Сите ли се пророци? Сите ли се учители? Сите ли се чудотворци?
30. Сите ли имаат дарови за исцелување? Сите ли зборуваат разни јазици? Сите ли толкуваат?
31. Туку копнејте за поголемите дарови! А јас ќе ви покажам уште посовршен пат.

Глава 13

1. Ако зборувам на човечки и ангелски јазици, а љубов немам - тогаш сум бронза што ѕвони или цимбал што ѕвечи.
2. И ако имам дар на пророштво, и ги знам сите тајни и целото знаење, и ако ја имам сета вера, така што и гори да преместувам, а љубов немам - ништо не сум.
3. И ако го раздадам целиот свој имот за да ги нахранам сиромашните, и ако го предадам своето тело да биде изгорено, а љубов немам, ништо не ми користи.
4. Љубовта долго трпи, љубовта е љубезна, не љубомори, љубовта не се фали, не се вообразува;
5. не се однесува непристојно, не го бара своето, не се раздразнува, не памети зло;
6. не и се радува на неправдата, туку се радува со вистината;
7. премолчува сѐ, на сѐ верува, на сѐ се надева, сѐ поднесува.
8. Љубовта никогаш не престанува, додека ако се пророштва - ќе престанат; ако се јазици - ќе замолкнат; ако е знаење - ќе исчезне.
9. Зашто, делумно знаеме и делумно пророкуваме,
10. но кога ќе дојде совршеното, ќе исчезне делумното.
11. Кога бев дете, зборував како дете, мислев како дете и расудував како дете. А кога станав маж, го прекинав детинското.
12. Зашто сега гледаме како во огледало, загадочно, а тогаш лице в лице. Сега сознавам делумно, а тогаш ќе сознаам целосно, како што сум и самиот целосно познат.
13. Така, сега остануваат триве: верата, надежта и љубовта, но најголема од нив е љубовта.

Глава 14

1. Стремете се кон љубовта! Копнејте за духовни дарови, а особено да можете да пророкувате!
2. Зашто, оној што зборува на јазик, не им зборува на луѓето, туку на Бог, бидејќи никој не го разбира, но во духот зборува тајни.
3. А оној што пророкува, им зборува на луѓето за поука, за опомена и утеха.
4. Кој зборува на јазик, се надградува себеси, а оној што пророкува ја надградува црквата.
5. Би сакал сите да зборувате на јазици, а уште повеќе да пророкувате. Зашто, оној што пророкува е поголем од оној што зборува на јазици, освен ако ги толкува, та заедницата да добие поука.
6. А сега, браќа, ако дојдам кај вас зборувајќи на јазици, каква полза ќе имате од мене, освен ако не ви зборувам по пат на откровение, или знаење, или пророштво или поука?
7. И бездушните нешта што даваат звук, како кавалот или харфата, ако не даваат различни звуци, како ќе се знае што свири кавалот или харфата?
8. Ако трубата дава неопределен звук, кој ќе се подготвува за бој?
9. Така и вие: ако со јазикот не изговарате разбирливи зборови, како ќе се разбере што зборувате? Ќе зборувате во ветар.
10. Во светот има којзнае колку разни звуци, и ниеден не е без значење,
11. или, ако не го познавам значењето на јазикот, ќе му бидам туѓинец на оној што зборува, а оној што зборува, ќе ми биде туѓинец мене.
12. Така и вие, бидејќи копнеете за духовни дарови, настојувајте да ги имате во изобилство за надградба на црквата!
13. Затоа оној што зборува на јазик, нека се моли за да може да го толкува.
14. Зашто, ако се молам на јазик, мојот дух се моли, но мојот ум е бесплоден.
15. Што значи тоа? Ќе се молам со духот, но ќе се молам и со умот; ќе пеам со духот, но ќе пеам и со умот.
16. Зашто ако благословуваш само со духот, како неупатениот посетител ќе рече 'Амин' на твоето благодарење, кога не знае што зборуваш?
17. Зашто, ти навистина благодариш, но другиот не се надградува.
18. Му благодарам на Бог дека зборувам на јазици повеќе од сите вас;
19. но во црква повеќе сакам да кажам пет збора со мојот ум, за да ги поучам и другите, отколку десет илјади зборови на непознат јазик.
20. Браќа, немојте да сте деца во умот, туку бидете детинести во злото, а зрели во умот!
21. Во Законот е напишано: 'Преку луѓе кои говорат на туѓи јазици и преку усните на туѓинци, ќе му зборувам на овој народ, но и тогаш нема да Ме послушаат - говори Господ-.'
22. Затоа јазиците не се знак за оние што веруваат, туку за неверниците; пророштвото пак, не е за неверниците, туку за оние што веруваат.
23. Ако пак целата црква се собере на едно место, и ако сите зборуваат на јазици, и ако влезат неупатени или неверници, нема ли да речат дека сте полуделе?
24. Но, ако сите пророкуваат, а влезе некој неверник или неупатен, сите го разобличуваат, и сите го осудуваат;
25. тајните на неговото срце се откриваат и така тој ќе падне ничкум, ќе Го прослави Бога и ќе изјави дека Бог е навистина меѓу вас.
26. Што тогаш, браќа? Кога се собирате, секој од вас има псалм, има поука, има откровение, има јазик, има толкување. Сè нека биде за поука!
27. Ако некој зборува на јазик, нека зборуваат по двајца, или најмногу по тројца, и тоа еден по друг, а еден нека толкува!
28. Ако нема толкувач, нека молчи во црквата; и нека си зборува сам на себе и на Бог!
29. Пророците пак, нека зборуваат по двајца или тројца, а другите да расудуваат.
30. Ако некому од седнатите му дојде откровение, првиот нека замолчи!
31. Зашто сите можете да пророкувате еден по еден, за да се поучат сите и за да се охрабрат

сите.
32. И пророчките духови им се покоруваат на пророците,
33. зашто Бог не е Бог на безредие, туку на мир, како што е во сите цркви на светиите.
34. Жените да молчат во црквите; ним не им е дозволено да зборуваат, туку да се потчинуваат, како што вели законот.
35. Ако сакаат да научат нешто, нека ги прашаат своите мажи дома, зашто е непристојно жена да зборува в црква.
36. Од вас ли излезе Божјото слово? Или само до вас стигна?
37. Ако некој мисли дека е пророк или духовен, нека разбере дека ова што ви го пишувам е Господова заповед!
38. Ако некој не разбира, нека не разбира!
39. Затоа, браќа мои, посакувајте да пророкувате и не забранувајте да се зборува на јазици!
40. Но сите работи нека се вршат пристојно и уредно!

Глава 15

1. Ви напомнувам, браќа, за Евангелието, кое ви го проповедав, што вие го примивте и во кое стоите,
2. преку кое и сте спасени, ако цврсто го држите како што ви го навествував, освен ако не сте поверувале напразно.
3. Зашто, најпрвин ви го предадов она што го бев и примил: дека Христос умре за нашите гревови, според Писмата,
4. и дека беше погребан и дека воскресна на третиот ден, според Писмата;
5. дека му се јави на Кифа, а потоа и на дванаесеттемина.
6. Потоа им се јави едновремено на повеќе од петстотини браќа, од кои повеќето се живи до денес, а некои починаа.
7. Потоа му се јави на Јаков, и потем на сите апостоли.
8. А најпосле ми се јави и мене како на недоносче.
9. Зашто јас сум најмал меѓу апостолите и не сум достоен да се наречам апостол, бидејќи ја гонев Божјата црква,
10. но по Божја благодат сум она што сум. А Неговата благодат спрема мене не се покажа залудна, туку се потрудив повеќе од сите нив, но не јас - туку Божјата благодат, која е со мене.
11. И така било јас или тие, така проповедаме, а така и поверувавте.
12. Но, ако се проповеда дека Христос воскресна од мртвите, како некои меѓу вас велат дека нема воскресение на мртвите?
13. Ако нема воскресение на мртвите, тогаш ни Христос не воскреснал,
14. а ако Христос не воскреснал, тогаш залудна е нашата проповед, залудна е и вашата вера.
15. Ако навистина мртвите не воскреснуваат се наоѓаме како лажни Божји сведоци, бидејќи сведочевме за Бог дека Го воскресна Христа, Кого не Го воскреснал.
16. Зашто, ако мртвите не воскреснуваат, ни Христос не воскреснал.
17. А ако Христос не воскреснал, суетна е вашата вера - вие сѐ уште сте во вашите гревови.
18. Тогаш и оние кои починале во Христос, загинале.
19. Ако само во овој живот се надеваме на Христос, ќе бевме за жалење, повеќе од сите други луѓе.
20. Но сега, Христос воскресна од мртвите, како првина на оние кои починале.
21. Бидејќи смртта дојде преку човек, така преку човек дојде и воскресението од мртвите.
22. Зашто, како што сите умираат во Адам, така и во Христос сите ќе оживеат.
23. Но секој по својот ред: Христос како првина, а потоа оние кои се Христови, во времето на Неговото доаѓање.
24. Тогаш доаѓа крајот, кога Тој ќе Му го предаде царството на Бог и Таткото; откако ќе го уништи секое началство и секоја власт и сила.
25. Зашто, Тој треба да владее 'додека не ги собори сите Свои непријатели под нозете Негови.'
26. Последниот непријател кој ќе биде уништен е Смртта.
27. Зашто 'Сѐ потчинил под Неговите нозе.' А кога вели, 'сѐ е потчинето', јасно е дека е потчинето сѐ, освен Оној Кој Му потчинил сѐ.
28. Кога ќе Му биде потчинето сѐ, тогаш и Самиот Син ќе Му се потчини на Оној Кој Нему Му потчинил сѐ, за Бог да биде сѐ во сѐ.
29. Инаку, што ќе прават оние што се крштаваат за мртвите? Ако мртвите воопшто не воскреснуваат, зошто се крштаваат за нив?
30. Зошто сме ние во опасности секој час?
31. Со пофалба заради вас, браќа, која ја имам во Христос Исус, нашиот Господ, јас умирам секој ден.
32. Ако од човечки побуди се борев со ѕверови во Ефес, каква ми е ползата? Ако мртвите не воскреснуваат, 'да јадеме и да пиеме, зашто утре ќе умреме!'
33. Не мамете се - 'лошото друштво ги расипува добрите навики!'

34. Отрезнете се како што треба и престанете да грешите, зашто некои не знаат за Бог. За ваш срам го велам ова.
35. Туку, некој ќе праша: 'Како воскреснуваат мртвите? И во какво тело ќе дојдат?'
36. Неразумен човеку, тоа што го сееш не оживува, ако не умре.
37. И кога го сееш, не го сееш телото што ќе биде, туку голо зрно, било пченично или од нешто друго.
38. А Бог му дава тело какво што сака, и на секое семе негово тело.
39. Сите тела не се еднакви; туку друго е човечкото, и друго е животинското тело, друго е телото на птиците, и друго на рибите.
40. Има и небесни тела и земни тела, но една е славата на небесните тела, а друга на земните.
41. Поинаков е сјајот на сонцето, а поинаков е сјајот на месечината, и друг е сјајот на ѕвездите, а и ѕвезда од ѕвезда се разликува според сјајот.
42. Така е и со воскресението на мртвите; се сее во распадливост, а воскреснува во нераспадливост;
43. се сее во бесчестие, а се воскреснува во слава; се сее во немоќ, а се воскреснува во сила;
44. се сее природно тело, а воскреснува духовно тело. Ако има природно тело, има и духовно тело.
45. Исто напишано е: 'Првиот човек, Адам, стана жива душа'; а последниот Адам - животворен Дух.
46. Но не е прво она што е духовно, туку прво е природното, а потоа духовното.
47. Првиот човек е од земјата, земјен; вториот човек е од небото.
48. Каков е земјениот, такви се и земјените; каков е небесниот, такви се и небесните.
49. И како што го носевме ликот на земјениот, така ќе го носиме и ликот на небесниот.
50. Ова ви го велам, браќа: тело и крв не можат да го наследат Божјото царство; ниту распадливото може да го наследи нераспадливото.
51. Еве! Ви кажувам тајна: не ќе умреме сите, туку сите ќе се измениме,
52. во еден момент, за миг на окото, при последната труба: имено трубата ќе затруби и мртвите ќе воскреснат нераспадливи, а ние ќе се измениме,
53. зашто треба ова распадливото да се облече во нераспадливо и ова смртното да се облече во бесмртност.
54. А кога ова, распадливото, ќе се облече во нераспадливост и, ова, смртното ќе се облече во бесмртност, тогаш ќе се збидне напишаното: 'Победата ја проголта смртта.
55. О, смрт, каде ти е победата? О, смрт, каде ти е осилото?'
56. Осилото на смртта е гревот, а силата на гревот е законот.
57. Но, фала Му на Бога, Кој ни даде победа преку Нашиот Господ Исус Христос.
58. Затоа, мои мили браќа, бидете цврсти, непоколебливи, секогаш пребогати во Господовото дело, знаејќи дека вашиот труд во Господ не е залуден.

Глава 16

1. А што се однесува до собирањето помош за светиите, правете и вие како што им наредив на црквите во Галатија.
2. Во секој прв ден од неделата, секој од вас нека оддели и остави при себеси колку што може, за да не собирате кога ќе дојдам.
3. А кога ќе пристигнам, ќе ги испратам, со писма, оние кои вие ќе ги најдете за достојни да го однесат дарот на вашата љубов во Ерусалим.
4. А ако биде можно да појдам и јас, тие ќе тргнат со мене.
5. Кај вас ќе дојдам, откако ќе минам низ Македонија, зашто поминувам низ Македонија,
6. а можеби ќе се задржам кај вас, и да презимам, за да ме испратите каде и да одам.
7. Зашто не сакам сега да ве видам само на минување, но, се надевам да останам некое време кај вас, ако Господ дозволи.
8. Во Ефес ќе останам до Педесетницата,
9. зашто ми се отвори голема врата за делотворна работа, а противници има многу.
10. Ако дојде Тимотеј, гледајте да биде без страв меѓу вас, зашто и тој работи на Господовото дело, како и јас.
11. Затоа никој да не го презира! Испратете го во мир да дојде кај мене, зашто со браќата го очекуваме.
12. Што се однесува пак до братот Аполос, многу го храбрев да дојде кај вас со браќата, но не сакаше да дојде сега, а ќе дојде кога ќе има можност.
13. Бдејте! Стојте цврсто во верата, бидете мажествени, бидете силни!
14. Сè што правите правете со љубов!
15. Ве молам браќа (знаете за Стефановиот дом, дека тој е првина од Ахаја и дека тие се посветија да им служат на светиите);
16. покорувајте им се и вие на таквите, и на секој што помага во делото и што работи!
17. Се радувам на доаѓањето на Стефан, на Вортунат и на Ахаик, бидејќи тие го надоместија вашето отсуство
18. и затоа што го освежија и мојот и вашиот дух. Затоа почитувајте ги таквите!
19. Ве поздравуваат црквите од Азија. Многу поздрави во Господ ви испраќаат, Акила и Прискила со црквата што е во нивниот дом.
20. Ве поздравуваат сите браќа! Поздравете се еден со друг со свет целив!
21. Ве поздравувам своерачно, јас Павле.
22. Кој не Го љуби Господ нека биде проклет! Мараната!
23. Благодатта на Господ Исус нека биде со вас.
24. Мојата љубов нека биде со сите вас во Христос Исус.

2 Петрово

Глава 1

1. Павле, апостол на Исус Христос, преку Божјата волја, и братот Тимотеј, до Божјата црква во Коринт, со сите светии, кои се по цела Ахаја.
2. Благодат вам и мир од Бог, нашиот Татко, и од Господ Исус Христос!
3. Благословен да е Бог и Таткото на нашиот Господ Исус Христос, Таткото на милосрдноста и Бог на секоја утеха,
4. Кој нѐ утешува во секоја наша невола, за да можеме и ние да ги утешуваме оние што се наоѓаат во каква и да е невола, со утехата со која Бог нѐ утешува нас самите.
5. Зашто, како што Христовите страдања изобилуваат во нас, така преизобилува и нашата утеха преку Христос.
6. Ако сме измачувани, тоа е за ваша утеха и спасение. Ако ние се утешуваме, тоа е за ваша утеха, која е делотворна во трпеливото поднесување на истите страдања, што ги трпиме и ние.
7. Нашата надеж за вас е цврста, знаејќи дека вие учествувате како во нашите страдања така и во нашата утеха.
8. Браќа, всушност, сакаме да знаете каква невола нѐ снајде во Азија, дека бевме оптоварени преку секоја мера и над нашите сили, така што не се надевавме ни да го запазиме својот живот.
9. Навистина, во себе ја носиме смртната пресуда, за да не се надеваме сами на себеси, туку на Бог, Кој ги воскреснува мртвите.
10. Тој нѐ избави од толку блиска смрт и уште ќе нѐ избавува Оној, во Кого се надеваме. Тој уште ќе нѐ избавува
11. со помош на вашите молитви за нас, за мнозина да Му заблагодарат за даруваната благонаклоност што ја добивме преку многумина.
12. Зашто нашата пофалба е оваа: сведоштвото на нашата совест, дека во светот, а особено спрема вас, се однесувавме во светост и побожна искреност, не во телесна мудрост, туку во Божја благодат.
13. Зашто, не ви пишуваме ништо друго, освен она што го читате и разбирате, а се надевам дека ќе разберете докрај,
14. како што веќе нѐ разбравте делумно, дека ние сме ваша пофалба, а вие наша, во денот на нашиот Господ Исус.
15. Со таа увереност сакав да дојдам најпрвин кај вас, за да примите двоен благослов;
16. и преку вас да поминам во Македонија, а од Македонија пак да дојдам кај вас, и вие да ми помогнете во моето патување за Јудеја.
17. Да не постапив лекомислено кога го посакав тоа? Или пак да не се моите намери телесни, така што истовремено да велам и 'да' и 'не'?
18. Бог е верен дека нашето слово кон вас не е и 'да' и 'не.'
19. Зашто Божјиот Син, Христос Исус, Кого Го проповедавме меѓу вас, јас, Силуан и Тимотеј, не беше 'да' и 'не', туку во Него беше 'да',
20. бидејќи Божјите ветувања, колку многу и да се, во Него се 'да.' Затоа преку Него и ние самите велиме 'Амин', за слава на Бог.
21. А Бог е Тој кој нѐ утврдува заедно со вас во Христос и нѐ помаза,
22. и нѐ запечати и ни го даде Духот во нашите срца, како залог.
23. А јас Го повикувам Бог за сведок на мојата душа, дека за да ве поштедам, не дојдов повеќе во Коринт;
24. не оти ние господариме со вашата вера, туку сме соработници за ваша радост, зашто во верата вие стоите цврсто.

Глава 2

1. Но во себеси решив да не доаѓам кај вас пак со жал.
2. Зашто, ако јас ве жалостам, тогаш кој ќе ме развеселува мене, ако не оној кого јас го ожалостувам?
3. И точно тоа ви го напишав, кога ќе дојдам да не бидам ожалостен од оние кои би требало да ме зарадуваат; и уверен сум во сите вас дека мојата радост ќе биде радост и на сите вас.
4. Зашто, ви пишував во голема мака, со тешкотија на срцето и со многу солзи, не за да ве ожалостам, туку за да ја познаете големата љубов што ја имам особено спрема вас.
5. Ако некој ме ожалостил, не ме ожалостил мене, туку, во извесна смисла, да не претерувам, сите вас.
6. На таквиот му е доста казната од мнозинството,
7. така што наспроти тоа, вие треба побргу да му простите и да го утешите, за да не го обземе преголема жалост.
8. Затоа, ве молам, повторно да покажете љубов спрема него.
9. Токму затоа и ви напишав, за да ве испитам дали сте послушни во сѐ.
10. А кому вие ќе му простите нешто, нему му проштавам и јас. Зашто, она што сум го простил, доколку сум простил, сум го простил заради вас пред Христос;
11. за да не нѐ искористи сатаната; бидејќи не ни се непознати неговите намери.
12. Кога дојдов во Троја заради Христовото Евангелие, и кога врата ми се отвори во Господ,
13. немав мир во својот дух, зашто не го најдов братот Тит, и затоа, откако се простив од нив, отидов во Македонија.
14. Но, фала Му на Бога, Кој секогаш нѐ води во Неговата победа во Христос, и на секое место, преку нас, го шири благиот мирис на Неговото познавање,
15. зашто, ние сме Христов благ мирис пред Бог меѓу оние кои се спасуваат, и меѓу оние кои загинуваат;
16. на едните смртен мирис за смрт, а на другите животен мирис за живот. А кој е подобен за сето ова?
17. Зашто, ние не го изопачуваме Божјото слово, како што мнозина го прават тоа, туку зборуваме искрено како од Бог, зборуваме во Христос пред Бог.

Глава 3

1. Почнуваме ли пак да се препорачуваме сами себеси? Или, можеби ни се потребни, како на некои, писмени препораки за вас или од вас?
2. Вие сте нашето писмо напишано во срцата наши, кое го познаваат и го читаат сите луѓе.
3. Зашто е очигледно дека сте Христово писмо, составено преку нашата служба; напишано не со мастило, туку со Духот на живиот Бог; не на камени плочи, туку на телесни плочи - човечките срца.
4. А такво уверување спрема Бог имаме преку Христос.
5. Не дека сме подобни сами од себе да помислиме за нешто, туку, нашата подобност доаѓа од Бог,
6. Кој и нè направи подобни за служители на еден нов завет ; не на буквата, туку на Духот, зашто буквата убива, а Духот оживува.
7. Ако пак служењето на смртта, со букви врежано во камења, беше толку славно, така што израеловите синови не можеа да погледнат во Мојсеевото лице, поради сјајот на неговото лице, кој поминуваше,
8. како тогаш служењето на Духот не ќе биде уште пославно?
9. Зашто, ако е славно служењето што донесува осуда, многу е пославно служењето што донесува праведност.
10. Зашто и она што имаше слава, во овој случај немаше, заради славата која надминува.
11. Зашто, ако беше со слава она што поминува, многу повеќе е славно она што е трајно.
12. И така, имајќи ваква надеж, зборуваме со голема смелост,
13. и не сме како Мојсеј, кој ставаше превез на своето лице, та израеловите синови да не го гледаат крајот на она што исчезнува.
14. Но нивните умови беа закоравени. Зашто, до ден денешен останува истиот превез несимнат при читањето на Стариот Завет, бидејќи се симнува само во Христос.
15. И така, до денес, кога го читаат Мојсеј, превез ги прекрива на нивните срца.
16. Но, кога некој се обрати кон Господ, превезот се отстранува.
17. Зашто Господ е Духот, а каде што е Господовиот Дух, таму има слобода.
18. А ние сите, со откриено лице, гледајќи ја како во огледало Господовата слава, и се преобразуваме во истиот лик од слава во слава, така како што го прави тоа Господ, Духот.

Глава 4

1. Затоа, кога го имаме ова служење, откако добивме милост, ние не се обесхрабруваме,
2. туку се одрековме од тајните, срамни работи; не живееме во лукавство, ниту го изопачуваме Божјото слово, туку преку откривањето на вистината се препорачуваме себеси на секоја човечка совест, пред Бог.
3. Ако пак е скриено нашето Евангелие, скриено е за оние кои гинат;
4. на кои богот на овој свет им го заслепил разумот, за да не ја видат светлината на Евангелието на славата на Христос, Кој е Божји лик.
5. Зашто, ние не се проповедаме себеси, туку Христос Исус како Господ; а себеси како ваши слуги заради Исус.
6. Зашто, Бог, Кој рече светлина да светне од темнината, е Тој Кој засвети во нашите срца, за да ги осветли со познавањето на Божјата слава пред Христовото лице.
7. А ова богатство го имаме во земјени садови, та ненадминливото величие на моќта да биде од Бога, а не од нас.
8. На мака сме од сите страни, но не сме скршени; притеснети сме, но не очајуваме;
9. нѐ прогонуваат, но не сме напуштени; кутнати сме, но не сме погубени,
10. секогаш носејќи ја во телото Исусовата смрт, за Исусовиот живот да се покаже во нашето тело.
11. Зашто ние живите постојано сме предавани на смрт заради Исус, за Исусовиот живот да се покаже во нашето смртно тело.
12. И така, смртта дејствува во нас, а животот во вас.
13. А бидејќи го имаме истиот дух на верата, како што е напишано: 'Јас поверував и затоа зборував,' и ние веруваме и затоа зборуваме,
14. знаејќи дека Оној Кој Го воскресна Господ Исус, ќе нѐ воскресне и нас со Исуса и заедно со вас ќе нѐ претстави пред Себеси.
15. Зашто сето ова е заради вас, та благодатта, која се распространува преку мнозина, да предизвика изобилно благодарење за слава на Бог.
16. Затоа, не папсуваме, па и ако се распаѓа нашиот надворешен човек, внатрешниот се обновува од ден на ден.
17. Зашто, нашата сегашна лесна невола ни донесува прекумерно, и неизмерно, вечно изобилство на слава,
18. бидејќи ние не гледаме на она што е видливо, туку на она што е невидливо; зашто видливите работи се привремени, а невидливите се вечни.

Глава 5

1. Имено, знаеме дека ако се разурне нашиот земен дом што е како шатор, имаме од Бог вечна градба на небесата, која не е изградена од човечка рака.
2. Па затоа овде офкаме и копнееме да се облечеме во своето небесно живеалиште;
3. само така облечени, нема да бидеме затекнати голи.
4. Зашто, додека сме во овој шатор, воздивнуваме обременети, бидејќи не сакаме да бидеме необлечени, туку да бидеме облечени, та животот да го проголта она што е смртно.
5. А Бог нѐ приготви токму за ова, со тоа што ни Го даде Духот како залог.
6. И така, секогаш сме бодри и знаеме дека сѐ додека живееме во телото, далеку сме од Господ,
7. бидејќи живееме според вера, а не според гледање.
8. Бодри сме, велам, и повеќе сакаме да го напуштиме телово и да појдеме дома кај Господ.
9. Затоа и се стремине да Му угодиме Нему, било да сме дома или далеку,
10. зашто сите ние треба да се појавиме пред Христовиот суд, и секој да си го добие она што го правел во телото, било добро или лошо.
11. Следствено, знаејќи го стравот од Господ, ги уверуваме луѓето, додека на Бог сме Му познати, а се надевам дека сме им познати и на вашите совести.
12. Не ви се препорачуваме повторно, туку ви даваме повод и вие да се фалите со нас, за да имате што да им одговорите на оние што се фалат со надворешноста, а не со срцето.
13. Впрочем, ако не бевме здрави ви умот, тоа е заради Бога; ако сме со здрав ум, тоа е заради вас.
14. Зашто, Христовата љубов нѐ обзема откако дојдовме до заклучокот дека штом еден умрел за сите, значи сите умреле.
15. А Тој умре за сите, та живите да не живеат повеќе сами за себе, туку за Оној Кој умре и воскресна за нив.
16. Затоа отсега ние не познаваме никого по тело; иако Христос Го познавме и по тело; сега веќе не Го познаваме како таков.
17. И така, ако некој е во Христос, тој е ново создание; старото помина, еве сѐ стана ново.
18. А сето ова е од Бог, Кој нѐ измири со Себе преку Христос и ни ја даде службата на измирувањето,
19. имено, Бог го мирешe светот со Себе во Христос, не земајќи ги предвид неговите престапи и ни го довери нам словото на измирувањето.
20. Значи, ние сме Христови пратеници, па Бог ве моли преку нас. Ве молиме во името на Христос, помирете се со Бог!
21. Оној Кој не знаеше за грев, Бог Го направи грев заради нас, за да станеме Божја праведност во Него.

Глава 6

1. А како Негови соработници ние ве молиме да не ја примате залудно Божјата благодат,
2. зашто Тој вели: 'Во погодно време те послушав и во денот на спасението ти помогнав.' Еве, сега е 'погодното време', еве, сега е 'денот на спасението'!
3. Во ништо не даваме никакви поводи за соблазна, за да не и се приговори на нашата служба;
4. туку во сѐ се покажуваме како Божји служители: во големо трпение, во неволи, во тешкотии, во маки,
5. при тепања, во зандани, во немири, во напори, во бдеења, во пости;
6. во чистота, во знаење, во трпеливост, во љубезност, во Светиот Дух, во вистинска љубов;
7. во словото на вистината, во Божјата сила, со оружје на праведноста во десната и во левата рака,
8. во слава и во срам, при лош глас и при добар глас, сметани за измамници, а сепак чесни,
9. како непознати, а сепак добро познати, како на умирачка - а ете, живееме; како казнувани, но не убивани,
10. како тажни, но сепак секогаш радосни; како сиромашни, а збогатуваме други, како да немаме ништо, а имаме сѐ.
11. Коринќани, нашата уста ви зборува јавно, нашето срце е широко отворено.
12. Вам не ви е тесно заради нас, туку заради вашите срца;
13. ви зборувам како на деца, бидете широки и вие, за да ни возвратите на ист начин.
14. Не впрегнувајте се во нееднаков јарем со неверниците! Впрочем, што има заедничко праведноста со беззаконието? Или какво заедништво има светлината со темнината?
15. Во што се сложува Христос со Белијар, или што има заедничко верник со неверник?
16. Или какво единство има Божјиот храм со идолите? Зашто, ние сме храмот на живиот Бог, токму како што рекол Бог: 'Ќе живеам во нив и ќе одам сред нив, и ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат Мој народ.'
17. 'Затоа, излезете од сред нив и одвојте се' - вели Господ, 'не допирајте се до нечисто', и 'Јас ќе ве примам.
18. Ќе ви бидам Татко, а вие ќе бидете Мои синови и ќерки', вели Господ Семоќниот.

Глава 7

1. И така, мили мои, кога ги имаме овие ветувања, да се исчистиме од секоја духовна и телесна нечистотија, усовршувајќи ја својата светост во страв од Бог.
2. Примете нѐ во вашите срца! Никому не згрешивме, никого не расипавме, никого не измамивме.
3. Не ви го велам ова за да ве осудам, зашто, пред малку реков дека сте во нашите срца за да умреме и за да живееме заедно.
4. Имам голема доверба во вас и многу се фалам со вас; исполнет сум со утеха; преплавен сум со радост во сите наши неволи.
5. Зашто, и кога дојдовме во Македонија, нашето тело немаше спокој, туку отсекаде бевме во невола: однадвор борби, однатре стравови.
6. Но, Оној Кој ги утешува понизните, нѐ утеши со доаѓањето на Тит;
7. и не само со неговото доаѓање, туку и со утехата со која тој се утеши заради вас, известувајќи нѐ за вашиот копнеж, за вашата тага, за вашата ревност за мене, така што се зарадував уште повеќе.
8. Зашто, дури и да ве нажалив со ова послание, не се каам. Па иако се покајав, оти навистина гледам дека посланието ве натажи, макар и за кратко, -
9. сега се радувам, не заради тоа што се нажаливте, но затоа што се нажаливте за покајание; бидејќи се нажаливте според Бога, за да не бидете во нешто оштетени од нас.
10. Зашто, тагата која е по Божја волја донесува покајание за спасение, за кое не се жали; но тагата на светот донесува смрт.
11. Зашто, видете, колкава искрена сесрдност произлезе токму од ова, од вашата побожна тага: каква одбрана, какво негодување, каков страв, каков копнеж, каква ревност и казнување. Покажавте во сѐ дека сте чисти во тоа дело.
12. Впрочем, ако и ви пишав, не го напишав тоа заради престапникот, ни заради оној што претрпел зло, туку за да се покаже пред Бога вашата грижа за нас.
13. Затоа и се утешивме. Но покрај оваа наша утеха, многу повеќе се израдуввавме заради радоста на Тит, зашто сите вие го освеживте неговиот дух.
14. Ако му се пофалив со нешто за вас, не се посрамив, туку како што сѐ ви зборувавме вистинито, така и нашето фалење пред Тит се покажа вистина.
15. А неговото срце уште повеќе чувствува за вас, кога ќе се сети на вашата послушност, како го примивте со страв и трепет.
16. Се радувам што можам во сѐ да имам доверба во вас.

Глава 8

1. Ве известувам, браќа, за Божјата благодат дадена на црквите во Македонија;
2. дека, иако во прекумерни неволи, нивната изобилна радост и длабоката беда покажаа преизобилно богатство на нивната штедрост.
3. Зашто сведочам, дека според своите можности, а и преку нив, дадоа доброволно
4. и нè молеа многу да им укажеме можност да учествуваат во издршката на светиите,
5. и тоа, не како што се надевавме, туку првин самите себе Му се предадоа на Господ, а потоа и нам, според Божјата волја.
6. Затоа го замоливме Тит, како што порано започна така и да го заврши меѓу вас и ова дело на благодат.
7. И како што изобилувате во сè, во вера, во говор, во знаење, во секаква усрдност и во љубовта спрема нас, трудете се да изобилувате и во ова дело на благодат.
8. Не го велам ова како заповед, туку ја испитувам искреноста на вашата љубов преку усрдноста на другите.
9. Зашто позната ви е благодатта на нашиот Господ Исус Христос, како, заради вас, од богат стана сиромав, за да се збогатите вие преку Неговата сиромаштија.
10. Со ова ви давам само совет, зашто тоа е полезно за вас, кои од минатата година почнавте не само да го правите тоа, туку и да имате желба да го правите.
11. А сега довршете го и тоа дело, па како што имавте готовност во настојувањето, така да имате и во довршувањето, според вашите можности.
12. Зашто, ако има добра волја, таа е прифатлива според она што се има, а не според она што се нема.
13. Бездруго, не сакам со олеснувањето на другите, да ви донесе неволја вам, туку да има рамноправност -
14. вашево сегашно изобилие да ја покрие нивната скудност, та и нивното изобилие да и послужи на вашата скудност, за да има рамноправност,
15. според она што е напишано: 'Кој собра многу, немаше излишно, а кој собра малку, немаше скудност.'
16. Но, Му благодарам на Бога, Кој истата грижа за вас му ја стави во срцето на Тит!
17. Зашто тој не само што ја прифати нашата молба, туку, бидејќи беше многу усрден, доброволно отиде кај вас.
18. Со него го пративме и братот кој стана познат по сите цркви заради неговата работа за Евангелието.
19. И не само тоа, туку црквите го определија да патува со нас за ова дело на милосрдност, на кое му служиме за слава на Самиот Господ и да ја покажеме својата подготвеност.
20. Со тоа сакаме да избегнеме да не ни се префрли заради овој штедар дар со кој располагаме.
21. Зашто, ние се грижиме за она што е чесно не само пред Господ, туку и пред луѓето.
22. А со нив го испративме и нашиот брат, чија ревност ја испитавме повеќепати во многу работи, а кој е уште поревносен сега, заради големата доверба во вас.
23. Што се однесува до Тит, тој е мој другар и соработник меѓу вас. А што се однесува до нашите браќа, тие се пратеници на црквите, Христова слава.
24. И така, покажете го пред црквите доказот на вашата љубов и на нашите пофалби за вас.

Глава 9

1. А во врска со собирањето помош за светиите, излишно е да ви пишувам,
2. зашто позната ми е вашата готвност, за која се фалам пред Македонците дека Ахаја уште од лани е приготвена и дека вашата ревност поттикнала мнозина од нив.
3. Сепак ги испратив браќата, за да не се покаже, во овој случај, празно нашето фалење со вас и за да бидете, како што реков, подготвени,
4. та ако дојдат со мене Македонците и ве најдат неподготвени, да не се усрамиме ние, да не речам вие.
5. И така, сметав за нужно да ги молам браќата пред нас да дојдат кај вас и да го приготват однапред вашиот отпорано ветен изобилен дар, така што да биде подготвен како дарежливост, а не како нешто изнудено.
6. А ова ви го велам: кој сее скудно, скудно и ќе жнее; кој сее штедро, штедро и ќе жнее!
7. Секој нека даде како што решил во срцето, а не безволно и не сосила, зашто Бог го љуби радосниот дарител.
8. А Бог е способен изобилно да ја излее сета благодат врз вас, па имајќи секогаш доволно сѐ што е потребно, да имате изобилно за секое добро дело,
9. како што е напишано: 'Раздаваше нашироко, им даваше на сиромашните,Неговата праведност останува во вечни векови.'
10. Оној Кој му дава семе на сејачот и леб за храна, ќе го умножи и вашето семе и ќе ја зголеми жетвата на вашата праведност;
11. и ќе бидете збогатени во сѐ за секаква штедрост, која преку нас предизвикува благодарност кон Бога.
12. Зашто извршувањето на оваа служба, не само што им ги надополнува потребите на светиите, туку и преизобилува со многу благодарење на Бога.
13. Поради доказот на оваа служба тие ќе Го прослават Бог, заради вашата послушност кон Христовото Евангелие кое го исповедате и за штедроста на вашиот придонес за нив и за сите,
14. а тие со својата молитва за вас, покажуваат дека копнеат по вас заради преизобилната Божја благодат во вас.
15. Вала Му на Бога за Неговиот неискажлив дар!

Глава 10

1. А јас самиот, Павле, ве преколнувам преку Христовата кроткост и благост; јас, кој сум понизен кога сум меѓу вас, но сум смел кон вас кога сум далеку од вас!
2. Сакам, кога ќе бидам кај вас, да не треба да истапам со онаа смелост со која мислам да истапам против некои, кои мислат дека постапуваме според телото.
3. Ние, навистина, живееме во телото, но не војуваме според телото,
4. зашто оружјето на нашето војување не е телесно, туку е со божествена моќ за разурнување на упориштата.
5. Ние ги рушиме мудрувањата и сè што се крева против познавањето на Бог, ја плениме секоја мисла за послушност на Христос
6. и готови сме да казниме секаква непослушност, откако ќе се исполни вашата послушност.
7. Гледате површно на нештата! Ако некој е уверен во себе дека е Христов, уште еднаш во себе нека помисли на ова: како што е тој Христов, така сме и ние!
8. Зашто, ако се пофалам и малку повеќе со нашата власт што Господ ни ја даде за ваше надградување, а не за ваша пропаст, нема да се засрамам;
9. но нека не изгледа дека сакам да ве заплашувам со моите посланија,
10. зашто, 'посланијата му се', некои велат, 'тешки и силни; но кога е лично присутен, тој е немоќен, а зборовите му се за презир.'
11. Таквиот нека знае дека она што сме на збор преку посланијата кога сме отсутни, тоа сме и на дело кога сме присутни.
12. Имено, не се осмелуваме да се вбројуваме или да се споредуваме со некои кои се препорачуваат сами себеси; но не постапуваат разумно, кога се мерат сами со себе и се споредуваат сами со себе.
13. А ние не сакаме прекумерно да се фалиме, туку само во рамките на досегот, што Бог ни го определи како мера, за да достигнеме дури до вас.
14. Ние не се протегаме прекумерно, како што ќе беше ако не достигневме до вас; зашто ние први стигнавме до вас со Христовото Евангелие;
15. и не се фалиме прекумерно со туѓи напори, туку се надеваме, кога ќе порасне вашата вера, дека ние, и надвор од нашиот досег, уште повеќе ќе бидеме величени меѓу вас;
16. и дека ќе го проповедаме Евангелието и подалеку од вас, а да не се фалиме со тоа што е направено во туѓ делокруг.
17. 'Кој се фали, во Господ да се фали.'
18. Зашто, не е достоен оној кој самиот се препорачува, туку оној кого Господ го препорачува.

Глава 11

1. Ох, да можете уште малку да го истрпите моето безумие! Но, вие, бездруго, ме трпите!
2. Зашто, љубоморам за вас со Божја љубомора; бидејќи ве свршив со еден маж, за да ве приведам како чиста девица пред Христос.
3. Но се плашам, како што змијата ја измами Ева со своето лукавство, така и вашите мисли да не се одвратат од едноставноста и од чистотата на преданоста во Христос.
4. Зашто, ако некој дојде да ви проповеда друг Исус кого ние не го проповедавме, или ако примате друг дух кого не го примивте, или друго Евангелие, кое не сте го прифатиле, вие сето тоа лесно го трпите.
5. А, мислам дека во ништо не сум помал од познатите апостоли.
6. Дури и да сум невешт во говорот, не сум во знаењето; тоа бездруго ви го покажавме во сите нешта.
7. Грев ли сторив понижувајќи се самиот за да ве издигнам вас, кога бесплатно ви го проповедав Божјото Евангелие?
8. Ограбив други цркви, примајќи од нив плата, за вам да ви служам.
9. А кога бев кај вас и бев во нужда, никому не му бев на товар; зашто за моите потреби се погрижија браќата кои дојдоа од Македонија. И се пазев во сè, и ќе се пазам, да не ви бидам на товар.
10. Христовата вистина е во мене, и оваа моја пофалба нема да биде ограничена во ахајските краишта!
11. Зошто? Затоа ли што не ве љубам? Бог знае!
12. А тоа што го правам, ќе го правам и во иднина, за да не им дадам можност на оние кои бараат повод да бидат сметани како нас во она во што се фалат.
13. Зашто таквите луѓе се лажни апостоли, измамливи работници, кои се преправаат во Христови апостоли.
14. И не е чудно, зашто и самиот сатана се преправа во ангел на светлината.
15. Тогаш, не е голема работа, ако и неговите слуги се преправаат во слуги на праведноста, чиј крај ќе им биде според нивните дела.
16. Пак велам, никој нека не ме смета за безумен; ако пак ме смета како таков, примете ме како безумен, за да имам барем малку да се пофалам.
17. А она што го кажувам сега, не го кажувам како што би го кажал Господ, туку како во безумство, во смелоста на фалењето.
18. И кога веќе мнозина се фалат по телото, и јас ќе се фалам;
19. зашто вие, кои сте мудри, со задоволство ги трпите безумните!
20. Имено, поднесувате ако некој ве заробува, ако некој ве проголтува, ако некој ви одзима, ако некој се возвишува себеси, ако некој ве удира по лице.
21. За срам велам, како да бевме немоќни. Но ако е некој смел во нешто (зборувам во безумство) и јас сум смел.
22. Евреи ли се? И јас сум. Израелци ли се? И јас сум. Авраамово потомство ли се? И јас сум.
23. Христови служители ли се? (зборувам во безумство), јас сум уште повеќе. Повеќе се трудев, повеќепати бев во зандани, тепан безброј пати; многупати во смртна опасност.
24. Од Евреите примив петпати по четириесет удари без еден.
25. Трипати бев тепан со стапови, еднаш каменуван, трипати доживеав бродолом и ноќ и ден поминав на отворено море.
26. Често патував, бев во опасности од реки, во опасности од разбојници, во опасности од сонародници, во опасности од неевреи; во опасности во град, во опасности во пустина, во опасности на море, во опасности меѓу лажни браќа;
27. во труд и тешкотија, многупати во неспиење, во глад и жед, во многу постење, на студ и во голотија;
28. покрај тие надворешни нешта, ме притискаат грижата за сите цркви.

29. Кој изнемоштува, та да не изнемоштам и јас? Кој се соблазнува, а јас да не согорувам?
30. Ако треба да се фалам, ќе се фалам со својата немоќ.
31. Бог и Таткото на нашиот Господ Исус, Кој е благословен во вечни векови, знае дека не лажам.
32. Во Дамаск, намесникот на царот Арета, го чуваше дамасковиот град, сакајќи да ме фати, а јас бев спуштен низ прозорец, во кош, преку ѕидот и избегав од неговите раце.

Глава 12

1. Валењето е потребно, иако не е полезно, но сепак ќе поминам на Господовите виденија и откровенија.
2. Познавам еден човек во Христос, кој пред четиринаесет години, не знам дали во телото или надвор телото, Бог знае, беше грабнат и издигнат до третото небо.
3. И за таквиот човек, не знам дали во телото или надвор од телото, Бог знае,
4. знам дека беше грабнат и издигнат до рајот и дека чул неискажливи зборови, што човек не може да ги каже.
5. Ќе се фалам со таков човек, а со себеси нема да се фалам, освен со своите немоќи.
6. Зашто, дури и да сакам да се фалам, нема да бидам неразумен, бидејќи ќе ја зборувам вистината. Но се воздржувам, за да не помисли некој за мене повеќе, отколку што во мене гледа или од мене слуша.
7. А за да не се возвишам поради многуте откровенија, даден ми е трн во телото, сатанин ангел, за да ме удира, за да не се возвишам!
8. Трипати го преколнував Господ тоа да го отстрани од мене.
9. А Тој ми рече: 'Доста ти е Мојата благодат, зашто Мојата сила се покажува совршена во немоќта.' Затоа, со поголема радост ќе се фалам во своите немоќи, за да ме осени Христовата сила.
10. Затоа наоѓам задоволство во немоќите, навредите, маките, прогонувањата, тешкотиите заради Христос, зашто кога сум немоќен, тогаш сум силен.
11. Станав безумен; вие ме принудивте. А требаше вие да ме препорачувате, зашто во ништо не сум помал од познатите апостоли, иако не сум никој и ништо.
12. Знаците на вистинските апостоли беа извршени меѓу вас во секакво трпение, во чудотворни знаци, чуда и сили.
13. Во што бевте помалку од другите цркви, освен што јас не ви бев товар? Простете ми ја таа грешка!
14. Еве, готов сум да дојдам кај вас и по третпат, и нема да ви бидам товар, зашто не го барам вашето, туку вас. Зашто, децата не се должни да печалат за родителите, туку родителите за децата.
15. А јас со најголемо задоволство ќе потрошам сѐ и самиот ќе се потрошам за вашите души. Кога јас ве љубам толку многу, треба ли да бидам помалку љубен?
16. Па нека биде така! Не ви бев товар, но сепак, како итар човек, ве добив со измама.
17. Дали ве искористив преку некој од оние што ви ги испратив?
18. Го замолив Тит и со него го испратив оној брат. Зар Тит ве искористи? Зар не живеевме по истиот дух? Не одевме ли по истите стапки?
19. Вие веќе мислите дека се браниме пред вас! Пред Бог, во Христос, зборуваме, а сѐ е тоа, мили мои, за ваша надградба.
20. Зашто се плашам, кога ќе дојдам, да не ве најдам такви какви што ве сакам, и да не се најдам и јас пред вас таков каков што вие не ме сакате; да не затекнам меѓу вас: кавги, завист, гнев, соперништво, клевети, шушукања, вообразеност, вознемирувања;
21. и кога ќе дојдам пак, да не ме понизи мојот Бог пред вас и да не треба да плачам за мнозина, кои згрешиле порано, а не се покајале за нечистотата, блудството и срамните нешта што ги направиле.

Глава 13

1. Ова е третпат како доаѓам кај вас. 'Од устата на двајца или тројца сведоци ќе биде потврдена секоја работа.'
2. Како што ве предупредив кога бев кај вас вториот пат, така и сега ве предупредувам, кога не сум кај вас, дека тие што згрешиле пред тоа, и сите други, ако дојдам повторно, нема да ве поштедам,
3. штом барате доказ дали зборува во мене Христос, Кој не е немоќен спрема вас, туку е силен во вас.
4. Зашто, иако беше распнат во немоќ, сепак живее преку Божјата моќ. И ние исто така сме немоќни во Него, но ќе живееме преку Него од Божјата моќ спрема вас.
5. Испитувајте се сами себеси дали сте во верата, проверете се сами себе! Или не го знаете ова за себеси, дека Исус Христос е во вас, освен ако не сте лажни.
6. Но се надевам дека ќе познаете оти ние не сме лажни.
7. Го молиме Бога да не направите никакво зло, не за да се потврдиме ние, туку за да правите вие добро, а ние да прилегаме на лажни.
8. Затоа ние не можеме ништо против вистината, туку само за вистината.
9. Имено, се радуваме кога сме ние слаби, а вие јаки; затоа и се молиме за вашето обновување.
10. Затоа ви го пишувам ова, во отсуство, за да не постапам строго, кога ќе бидам кај вас, според власта што Господ ми ја даде за надградување, а не за разурнување.
11. На крајот, браќа, радувајте се, усовршувајте се, утешувајте се, бидете едномисленици, живејте во мир; и Бог на љубовта и на мирот ќе биде со вас!
12. Поздравете се еден друг со свет целив ! Ве поздравуваат сите светии!
13. Благодатта на нашиот Господ Исус Христос, љубовта на Бог и заедништвото на Светиот Дух да бидат со сите вас!

# 1 Јованово

Глава 1

1. Павле, апостол (испратен не од луѓе, ниту со посредство на човек, туку преку Исус Христос и Бог Таткото, Кој Го воскресна од мртвите),
2. и сите браќа кои се со мене, до црквите во Галатија.
3. Благодат и мир вам од Бог, нашиот Татко и од Господ Исус Христос,
4. Кој се даде Себеси за нашите гревови, за да нѐ избави од сегашниот зол свет, по волјата на нашиот Бог и Татко,
5. Кому нека е слава за вечни векови. Амин!
6. Се чудам дека така брзо се одвраќате од Оној Кој ве повика преку Христовата благодат, и преминувате кон друго евангелие,
7. кое не е друго, само има некои кои ве збунуваат и сакаат да го изопачат Христовото Евангелие.
8. Но ако дури и ние или ангел од небото ви проповеда друго евангелие, спротивно од она што ви го проповедавме, нека биде проклет!
9. Како што рековме порано и сега пак велам: ако некој ви проповеда евангелие, покрај она што го примивте, нека биде проклет!
10. Дали сега јас барам наклонетост од луѓето или од Бог? Или, пак, настојувам да им угодам на луѓето? Ако уште би им угодувал на луѓето, немаше да бидам Христов слуга.
11. Но јас ве известувам, браќа, дека Евангелието кое го проповедав не е човечко,
12. бидејќи ниту го примив од човек ниту го научив, туку е преку откровение од Исус Христос.
13. Вие секако сте чуле за моето некогашно поведение во јудаизмот: колку прекумерно ја гонев Божјата црква и се обидував да ја уништам;
14. и во јудаизмот надминав многу свои врсници сред својот народ, имајќи крајна ревност за преданијата на моите претци.
15. А кога Му беше по волја на Бог, Кој ме издвои уште од утробата на мојата мајка и ме повика преку Својата благодат,
16. да Го открие во мене Својот Син за да Го проповедам меѓу неевреите, не се посоветував веднаш со телото и крвта,
17. ниту отидов горе во Ерусалим кај оние кои пред мене беа апостоли, туку отидов понатаму во Арабија и пак се вратив во Дамаск.
18. А три години подоцна отидов горе во Ерусалим за да го видам Петар, и останав кај него петнаесет дена.
19. Но не видов некој друг од апостолите, освен Јаков, Господовиот брат.
20. (А ова што ви го пишувам, еве пред Бог велам дека не лажам.)
21. Потоа дојдов во краиштата на Сирија и Киликија.
22. А на црквите во Јудеја, кои се во Христос, лично уште им бев непознат;
23. тие беа само слушале: 'Оној кој некогаш нѐ прогонуваше, сега ја проповеда верата која некогаш ја разурнуваше.'
24. И го славеа Бог заради мене.

Глава 2

1. По четиринаесет години пак отидов горе во Ерусалим со Барнаба, земајќи го со себе и Тит.
2. А отидов горе по откровение и им го изложив Евангелието кое го навестувам меѓу неевреите, но насамо на видните, од страв да не трчам или да не сум трчал напразно.
3. Но ни Тит, кој беше со мене, иако Грк, не беше принуден да се обреже,
4. и тоа заради лажните браќа, кои се беа вовлекле за да ја душкаат нашата слобода која ја имаме во Христос Исус, за да нѐ поробат.
5. Но не им се потчинивме ни за час, за да остане со вас вистината на Евангелието.
6. А што се однесува до оние кои беа сметани за видни (какви и да биле некогаш, мене ми е сеедно; Бог не гледа кој е кој), тие видните ништо не ми придадоа.
7. Туку, напротив, кога видоа дека мене ми беше доверено Евангелието меѓу необрежаните, како што му беше на Петар меѓу обрежаните
8. (зашто Оној што дејствуваше во Петар за апостолство меѓу обрежаните, ме оспособи и мене за необрежаните)
9. и кога ја познаа благодатта што ми е дадена, Јаков, Кифа и Јован, кои беа сметани за столбови, ми ја подадоа мене и на Барнаба десната рака во знак на заедништво; за да одиме ние кај неевреите, а тие кај обрежаните;
10. само да си спомнуваме за бедните, што и без тоа сакав да го правам.
11. А кога Кифа дојде во Антиох, му се противставив в лице, зашто требаше да биде осуден.
12. Имено, пред да дојдат некои луѓе од Јаков, тој јадеше со неевреите, но кога дојдоа овие тој се повлече и се тргна настрана, заради страв од обрежаните.
13. Со него се двоеја и другите Евреи, така што нивното лицемерство го заведе и Барнаба.
14. Кога видов дека не одат право според вистината на Евангелието, му реков на Кифа пред сите: 'Ако ти, кој си Евреин, живееш како неевреин, а не јудејски, како можеш да ги принудуваш неевреите да живеат јудејски?
15. Ние по раѓање сме Евреи, а не грешници од неевреите,
16. но бидејќи знаеме дека човекот не се оправдува преку делата на Законот, туку само преку вера во Христос Исус, и ние поверувавме во Христос Исус, за да бидеме оправдани преку вера во Христос, а не преку делата на Законот; зашто од делата на Законот нема да се оправда ниту еден.
17. Но ако и ние самите, сакајќи да се оправдаме во Христос, се најдовме грешници, дали тогаш Христос му служи на гревот? Никако!
18. Зашто, ако повторно го ѕидам она што сум го разурнал, покажувам дека сум престапник;
19. бидејќи преку Законот умрев за Законот, за да живеам за Бог.
20. Со Христос бев распнат; и јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене, а животот што сега го живеам во телото, го живеам преку вера во Божјиот Син, Кој ме засака и Се предаде Себеси за мене .
21. Не ја поништувам Божјата благодат, зашто ако праведноста доаѓа преку Законот, тогаш Христос умре залудно.

Глава 3

1. О неразумни Галати! Кој ве маѓепса вас, пред чии очи Исус Христос беше прикажан како распнат?
2. Сакам само ова да го дознам од вас: дали Го примивте Духот врз основа на делата на Законот или преку слушањето со вера?
3. Толку ли сте неразумни? Почнавте со Духот, и зарем сега совршени станавте преку телото?
4. Дали толку многу страдавте залудно, ако навистина беше залудно!
5. А Оној Кој ви го дава Духот и прави моќни дела меѓу вас, дали го прави тоа врз основа на делата на Законот или преку слушањето со вера?
6. Како што и Авраам 'му поверува на Бог и тоа му се припиша за праведност.'
7. Затоа, бидете сигурни, дека Авраамови синови се оние кои се од верата.
8. А и Писмото предвиде дека Бог преку вера ќе ги оправда другите народи, и однапред му го навести Евангелието на Авраам, велејќи: 'Во тебе ќе бидат благословени сите народи.'
9. И така, оние кои се од верата, благословени се со Авраам кој веруваше.
10. Всушност, оние што ги прават делата на Законот, проколнати се, бидејќи е пишано: 'Проклет да е секој, кој не е постојан во сè што е напишано во книгата на Законот и не го исполнува тоа.'
11. А дека никој не е оправдан пред Бога преку Законот, јасно е, зашто 'Праведникот ќе живее преку вера.'
12. А Законот не дејствува преку верата, туку вели: 'Кој ги исполнува, ќе живее преку нив.'
13. Христос нè откупи од проклетството на Законот, откако стана проклетство за нас, зашто е пишано: 'Проклет да е секој што виси на дрво!',
14. та во Христос Исус Авраамовиот благослов да дојде на народите и преку вера да Го примиме ветувањето на Духот.
15. Браќа, зборувам како човек, заветот што човек го потврдил, никој не го отфрла, ниту му додава нешто.
16. А ветувањата им беа дадени на Авраам и на неговото потомство. И не вели: 'И на потомците', како за мнозина, туку како за еден: 'И на твоето потомство', Кое е Христос.
17. Го велам и ова: Законот што настапи по четиристотини и триесет години, не го поништува заветот, што Бог го потврдил порано, ниту го поништува ветувањето.
18. Зашто, ако наследството доаѓа од законот, тоа веќе не е од ветувањето; но Бог му го подари на Авраам преку ветување.
19. Тогаш, зошто е Законот? Тој беше даден заради престапите, откако беше воведен со ангели со помош на посредник, додека не дојде потомокот, кому Му беше дадено ветувањето.
20. Посредник, пак, нема таму каде што е само еден, а Бог е Еден.
21. Според тоа, дали е Законот противен на Божјите ветувања? Никако! Зашто, ако беше даден закон, што може да даде живот, тогаш навистина праведноста би била од законот.
22. Но Писмото сите ги става под грев, та врз основа на верата во Исус Христос ветувањето да им биде дадено на оние што веруваат.
23. А пред да дојде верата, бевме држани под старателство на законот, чувани за верата која требаше да се открие.
24. Така, Законот ни стана наш воспитувач до Христос, за да бидеме оправдани преку верата.
25. А сега дојде верата, и не сме повеќе под воспитувач.
26. Зашто, сите сте Божји синови преку вера во Христос Исус,
27. бидејќи сите кои се крстивте во Христос, се облековте со Христос.
28. Нема веќе ни Евреин ни Грк, нема веќе ни роб ни слободен, нема веќе ни машко ни женско, зашто вие сите сте едно во Христос Исус.
29. А ако сте пак вие Христови, тогаш сте Авраамово потомство, наследници според ветувањето.

Глава 4

1. Ви велам, пак, додека наследникот е дете, со ништо не се разликува од робот, иако е господар на сè,
2. туку е под старатели и управители до рокот определен од таткото.
3. Така и ние, додека бевме малолетни, бевме заробени под првобитните принципи на светот,
4. а кога се исполни времето, Бог Го испрати Својот Син, роден од жена, роден под Законот,
5. за да ги откупи оние што беа под Законот, за да го примиме посинувањето.
6. А бидејќи сте синови, Бог Го испрати во нашите срца Духот на Својот Син, Кој вика: 'Аба, Татко!'
7. Затоа не си повеќе роб, туку син, а ако си син, тогаш си и наследник преку Бог.
8. Но вие порано, не познавајќи Го Бог, им бевте робови на оние кои по природа не се богови.
9. А сега, откога Го познавате Бог, или уште подобро, откако Бог ве позна вас, како можете пак да им се враќате на слабите и бедни принципи, на кои сакате пак одново да им робувате?
10. Внимавате на деновите, месеците, времињата и годините.
11. Се плашам за вас, да не се трудев напразно за вас.
12. Ве молам, браќа, бидете каков што сум јас, зашто и јас сум како вас! Вие со ништо не ми згрешивте.
13. А знаете дека првиот пат, заради телесна немоќ, ви го проповедав Евангелието;
14. и испитувањето кое беше за вас во моето тело, не го отфрливте, ниту се згнасивте од него, туку ме примивте како Божји ангел, како да бев Христос Исус.
15. Сега, каде е она ваше блаженство? Зашто ви сведочам, дека ако беше можно, ќе ги извадевте и своите очи и ќе ми ги дадевте мене.
16. Дали ви станав непријател затоа што ви ја зборувам вистината?
17. Тие се ревносни, но не за ваше добро, туку сакаат да ве одвојат, за да одите по нив.
18. Меѓутоа, добро е секогаш да се стремите кон доброто, а не само кога сум јас кај вас.
19. Чеда мои, кои повторно со мака ве раѓам додека Христос се обликува во вас,
20. би сакал да сум сега кај вас, и да ви се обратам со поинаков тон, зашто сум во недоумица за вас.
21. Кажете ми, вие кои сакате да бидете под законот, не го слушате ли законот?
22. Зашто е напишано дека Авраам имаше два сина, едниот од робинка, а другиот од слободна.
23. Но оној од робинката роден е по тело, а оној од слободната преку ветување.
24. Ова е речено сликовито: тие жени се двата завета; едниот од горната Синај, кој раѓа за ропство; тој е Агара,
25. а Агара е Синајската Гора во Арабија и одговара на сегашниот Ерусалим, кој робува со своите деца.
26. Но горниот Ерусалим е слободен, тој е нашата мајка,
27. зашто е напишано: 'Весели се неротко, ти која не си родила; воскликни радосно, ти, која не си видела породилни маки; зашто повеќе деца има оставената, отколку онаа што има маж. '
28. А вие сте, браќа, деца на ветувањето како Исак.
29. И како што во тоа време оној што се роди по тело, го прогонуваше оној што се роди по дух, така е и сега.
30. А што вели Писмото? 'Истерај ја робинката и нејзиниот син, зашто синот на робинката нема да биде наследник со синот на слободната!'
31. Затоа, браќа, ние не сме деца на робинката, туку на слободната.

Глава 5

1. Христос нѐ ослободи за да бидеме слободни. Според тоа, стојте цврсто и не потчинувајте му се пак на ропскиот јарем.
2. Еве, јас, Павле, ви велам: ако се обрежете, Христос никако нема да ви користи.
3. И пак му сведочам на секој човек што се обрежува, дека е должен да го исполни целиот закон.
4. Од Христос се одвоивте вие кои сакате да бидете оправдани преку законот; отпаднавте од благодатта.
5. Зашто ние, преку Духот, по вера, ја очекуваме надежта на праведноста,
6. а во Христос Исус ниту обрезанието има вредност, ниту необрезанието, туку верата која дејствува преку љубовта.
7. Трчавте добро! Кој ви попречи да не се покорувате на вистината?
8. Тоа убедување не е од Оној Кој ве повика.
9. Малку квас го потквасува целото тесто.
10. Јас сум уверен за вас во Господа, дека нема да мислите инаку. А кој ве збунува ќе претрпи осуда, кој и да е!
11. Ако пак јас, браќа, уште го проповедам обрезанието, зошто уште ме прогонуваат? Во тој случај се укинува соблазната од крстот!
12. О, да се отсечеа оние што ве колебат!
13. Зашто вие, браќа, бевте повикани кон слобода. Само слободата да не ви биде повод за телесност, туку со љубов служете си еден на друг.
14. Зашто целиот Закон е исполнет во еден збор: 'Љуби го својот ближен како самиот себе!'
15. Ако пак се гризете и јадете еден со друг, гледајте да не се истребите меѓусебе.
16. А велам: живејте по Духот и нема да ја исполнувате похотата на телото,
17. зашто телото силно го посакува спротивното на Духот, а Духот спротивното на телото, зашто тие се противат еден на друг, за да не го правите она што сакате.
18. Но, ако ве води Духот не сте под Законот.
19. А делата на телото се познати; тоа се: блудство, нечистота, бесрамност,
20. идолопоклонство, вражање, непријателства, препирки, љубомора, излив на лутина, расправии, несогласувања, делби;
21. завист, пијанство, срамни гозби и слични на овие, за кои однапред ве предупредив, како што ви реков и порано, дека оние што прават такви работи нема да го наследат Божјото царство.
22. А плодот на Духот е: љубов, радост, мир, долготрпеливост, љубезност, добрина, верност, кроткост, воздржливост;
23. против овие нешта нема закон.
24. А оние кои се Христови го распнаа своето тело со неговите страсти и похоти.
25. Ако живееме по Духот, и да одиме според Духот!
26. Да не бидеме полни со суетно славољубие, да не се предизвикуваме еден со друг и да не си завидуваме еден на друг!

Глава 6

1. Браќа, и да падне некој во некаков престап, вие, кои сте духовни, поправајте го таквиот со дух на кроткост, чувајќи се себеси и вие да не бидете искушани.
2. Носете ги бремињата еден на друг, и со тоа ќе го исполните Христовиот закон!
3. Зашто, ако некој мисли дека е нешто, а е ништо, самиот се мами.
4. А секој да го испита своето дело, и тогаш ќе има пофалба само пред себеси, а не пред друг.
5. Зашто секој треба да го носи својот товар.
6. А оној кој се учи на словото, нека ги дели сите свои добра со оној кој го поучува.
7. Не лажете се: Бог не дозволува да биде исмеван! Бидејќи човекот што ќе посее, тоа и ќе жнее:
8. кој сее во своето тело, од телото ќе пожнее погибел; а кој сее во Духот, од Духот ќе пожнее вечен живот.
9. Да не ви стане мачно правејќи добро, зашто ако не се умориме ќе жнееме во право време.
10. Затоа, додека имаме време, да им правиме добро на сите, а најмногу на оние кои припаѓаат на нашето семејство по вера.
11. Видете, со колку големи букви ви пишувам своерачно!
12. Сите оние кои сакаат да се покажат добри според телото, тие ве принудуваат да се обрежувате, само за да не бидат гонети заради Христовиот крст.
13. Зашто ни самите тие, кои се обрежуваат не го пазат Законот, а сакаат вие да се обрежувате, за да се фалат со вашето тело.
14. Никако да не се фалам со нешто друго, освен во крстот на нашиот Господ Исус Христос, преку Кого светот е распнат за мене и јас за светот!
15. Зашто ниту обрезанието е нешто, ниту необрезанието, туку новото создание.
16. А на сите кои ќе го следат ова правило - мир и милост, ним и на Божјиот Израел.
17. Во иднина никој да не ми додева повеќе, зашто на своето тело ги носам Исусовите белези.
18. Браќа, благодатта на нашиот Господ Исус Христос да биде со вашиот дух. Амин!

# 2 Јованово

Глава 1

1. Павле, преку Божја волја апостол на Исус Христос, до светиите во Ефес и верните во Христос Исус:
2. благодат вам и мир од Бог, нашиот Татко и од Господ Исус Христос!
3. Да биде благословен Бог и Таткото на нашиот Господ Исус Христос, Кој нѐ благослови во Христос, со секаков духовен благослов на небесата;
4. зашто нѐ избра во Него уште пред создавањето на светот, за да бидеме свети и непорочни пред Него во љубов:
5. Тој однапред нѐ определи за да нѐ посини преку Исус Христос, според благонаклоноста на Својата волја,
6. за да биде величана славата на Неговата благодат, со која нѐ дарува во Возљубениот;
7. во Кого имаме откуп преку Неговата крв, прошка на престапите, според богатствата на Неговата благодат,
8. која изобилно ја излеа на нас. Во секоја мудрост и разумност
9. ни ја соопшти тајната на Својата волја, според Својата благонаклоност, што ја одреди во Него,
10. за да ја спроведе кога ќе се исполнат времињата; за да соедини повторно во Христос сѐ што е на небесата и што е на земјата. Во Него,
11. во Кого и ние бевме избрани за наследници, зашто бевме однапред определени според намерата на Оној Кој прави сѐ по советот на Својата волја,
12. за да бидеме за величање на Неговата слава, ние, кои веќе отпорано се надевавме во Христос.
13. Во Него сте и вие, откако ја чувте пораката на вистината - Евангелието на вашето спасение - и откако поверувавте, запечатени со Светиот Дух на ветувањето,
14. кој е залог за нашето наследство, за откупување на оние кои станаа Божја сопственост - за величање на Неговата слава.
15. Затоа и јас, откако чув за вашата вера во Господ Исус и за вашата љубов кон сите светии,
16. не престанувам да благодарам за вас, кога ве спомнувам во своите молитви,
17. та Бог на нашиот Господ Исус Христос, Таткото на славата, да ви даде дух на мудрост и откровение во целосното познавање на Него.
18. Молам и да ви се просветлат очите на вашето срце, за да знаете каква е надежта на Неговото призвание, какво е богатството на славата на Неговото наследство во светиите,
19. и колку е ненадминлива Неговата сила кон нас кои веруваме - според дејствувањето на силата на Неговата моќ,
20. чие дејство го покажа во Христос, кога Го воскресна од мртвите и го постави оддесно на Себеси на небесата,
21. далеку над секое началство, власт, сила, господство и над секое име кое се спомнува, не само во овој век, туку и во идниот.
22. И сѐ Му покори под Неговите нозе, а Него Го постави за глава над сѐ, за црквата,
23. која е Негово тело - полнотата на Оној Кој исполнува сѐ во сѐ.

Глава 2

1. И вие, кои бевте мртви поради вашите престапи и гревови,
2. во кои живеевте некогаш според образецот на овој свет, според принцот на силите на воздухот - духот кој дејствува сега во синовите на непокорноста,
3. меѓу кои и ние живеевме некогаш во своите телесни страсти, извршувајќи ги желбите на телото и на умот, и бевме по природа чеда на гневот како и останатите.
4. Но Бог, Кој е богат со милост, поради Својата голема љубов со која нè засака,
5. нè оживеа заедно со Христос и нас, кои иако бевме мртви поради нашите гревови (по благодат сте спасени) -
6. и со Него нè воскресна и нè постави на небесата, во Христос Исус,
7. та, во идните векови да го покаже ненадминливото богатство на Својата благодат, во љубезност спрема нас во Христос Исус.
8. Зашто по благодат сте спасени, преку вера, и тоа не е од вас самите - тоа е Божји дар!
9. Не е од делата, за да не се фали некој,
10. зашто Негово дело сме, создадени во Христос Исус за добри дела, кои Бог однапред ги подготви, за да живееме во нив.
11. Затоа спомнете си, дека вие кои некогаш бевте неевреи по тело, нарекувани необрежани од оние кои се нарекуваа обрежани по телото, со човечки раце;
12. во она време бевте без Христос, исклучени од израелското општество и туѓинци на заветите на ветувањето, без надеж и без Бог во светот.
13. А сега во Христос Исус, вие кои некогаш бевте далеку, доведени сте близу преку Христовата крв.
14. Зашто Тој е нашиот мир, Кој од двете направи едно и го разурна преградниот ѕид, што ги делеше,
15. и во Своето тело го укина непријателството, односно законот со неговите заповеди и одредби, и создавајќи мир, за во Себе да создаде од двата еден нов човек,
16. и обата во едно тело да ги измири со Бог преку крстот, со што во Себе го уби непријателството.
17. Тој дојде и ви проповедаше мир на вас кои бевте далеку и мир на оние кои беа близу:
18. зашто преку Него, и едните и другите, имаме пристап кај Таткото во еден Дух.
19. Затоа, вие не сте веќе туѓинци и придојдени, туку сте сограѓани на светиите и Божјо семејство,
20. надѕидани врз основата на апостолите и пророците, а темелниот камен е Самиот Христос Исус,
21. во Кого целата стројно составена зграда расте во свет храм во Господ,
22. врз кого и вие во Духот заедно се соѕидувате во Божјо живеалиште.

Глава 3

1. Затоа јас, Павле, затвореник сум на Христос Исус заради вас неевреите,
2. ако навистина сте чуле за управителството на Божјата благодат која ми е дадена за вас,
3. дека по откровение ми беше соопштена тајната, како што порано пишав накратко.
4. Читајќи оттаму можете да го разберете моето сфаќање на Христовата тајна
5. што во другите поколенија не им беше објавена на човечките синови, како што сега преку Духот им е откриена на Неговите свети апостоли и пророци:
6. дека неевреите се сонаследници и органи на телото, и соучесници на ветувањето во Христос Исус, преку Евангелието,
7. на кое му станав служител согласно дарот на Божјата благодат, која ми беше дадена според делувањето на Неговата моќ.
8. Мене, најмалиот од сите светии, ми е дадена оваа благодат за да им го навестувам на неевреите Евангелието на Христовото богатство кое не може целосно да се сфати
9. и на сите да им расветлам во што се состои располагањето со тајната, која од вечноста беше скриена во Бог - Кој создаде сè;
10. та многустраната Божја мудрост да им се соопшти сега преку црквата на началствата и на властите на небесата.
11. Ова беше според вечната цел, која ја оствари во Христос Исус, нашиот Господ,
12. во Кого имаме смелост и пристап со увереност преку верата во Него.
13. Затоа ве молам да не се обесхрабрувате заради моите неволи, што ме снајдоа заради вас; зашто тие се ваша слава.
14. Заради тоа ги преклонувам своите колена пред Таткото на нашиот Господ Исус Христос,
15. од Кого секој род на небесата и на земјата го добива своето име;
16. да ви даде, според богатството на Својата слава, да зајакнете со сила во внатрешниот човек преку Неговиот Дух,
17. та преку вашата вера Христос да живее во вашите срца; да бидете вкоренети и втемелени во љубовта за
18. да можете да сфатите со сите светии колкава е ширината, должината, височината и длабочината,
19. и да ја познаете Христовата љубов, која го надминува знаењето, за да бидете исполнувани во целата Божја полнота.
20. А на Оној, Кој може да направи неспоредливо повеќе, отколку што можеме да бараме или замислиме, според силата што дејствува во нас -
21. Нему нека Му биде слава во црквата и во Христос Исус во сите поколенија засекогаш. Амин!

Глава 4

1. Затоа, ве молам, јас, затвореник на Господ, да живеете достојно за призванието во кое сте повикани,
2. со сета понизност, кроткост и со трпеливост, поднесувајќи се едни со други во љубов!
3. Настојувајте да го запазите единството на Духот во врската на мирот.
4. Постои едно тело и еден Дух, како што бевте и вие повикани во една надеж на вашето призвание;
5. еден Господ, една вера, едно крштавање,
6. еден Бог и Татко на сите, Кој е над сите, преку сите и во сите.
7. А секому од нас му е дадена благодат според мерата на Христовиот дар.
8. Затоа се вели: 'Кога се вознесе, поведе робје; а на луѓето им даде дарови.'
9. (А 'се вознесе' - што значи друго, освен дека исто така слегол во долните предели на земјата?
10. Тој што слезе, тоа е Оној истиот Кој се вознесе над сите небеса, за да исполни сѐ.)
11. И Тој даде едни за апостоли, а други за пророци; едни за евангелисти, а други за пастири и учители,
12. за да се усовршат светиите за делото на службата, за изградување на Христовото тело,
13. сѐ додека сите не дојдеме до единство во верата и познавањето на Божјиот Син, до зрелиот човек, до мерата на растот на Христовата полнота.
14. Затоа да не бидеме веќе деца, фрлани натаму-наваму од бранови и носени од ветровите на некое учење, со човечка измама и лукавство, со итро измислени заблуди;
15. туку, говорејќи ја вистината во љубов, ние треба да растеме во сѐ - кон Оној Кој е главата, Христос.
16. Од Него, целото тело е поврзано и соединето во едно, на тој начин што секоја врска дава поткрепа според соодветно дејствување на секој одделен дел; тоа прави телото да расте за својата сопствена надградба во љубов.
17. Затоа ова го велам и сведочам во Господ, да не живеете веќе како што живеат неевреите во суетата на својот ум,
18. помрачени во својот разум, исклучени од Божјиот живот, заради незнаењето кое е во нив, заради закоравеноста на нивното срце.
19. Откако станаа бесчувствени, се предадоа себеси на сладострастие, за ненаситно да вршат секаква нечистота.
20. А вие не Го познавте така Христос,
21. ако навистина сте Го чуле и ако сте во Него поучени онака како што е вистината во Исус,
22. та во однос на своето поранешно поведение да го соблечете од себе стариот човек, кој пропаѓа според измамливите похоти,
23. и да се обновувате во духот на својот ум,
24. и бидете облечени во новиот човек, кој според Бог е создаден во вистинска праведност и светост.
25. Затоа отфрлете ја лагата и зборувајте вистина секој со својот ближен, зашто сме органи едни на други!
26. Гневете се, но не грешете! Сонцето да не зајде во вашиот гнев,
27. и не давајте му место на ѓаволот!
28. Кој крадел, да не краде веќе, туку подобро да се труди и да го работи со своите раце она што е добро, за да може да му дава на оној што има потреба!
29. Никаков лош збор да не излегува од вашата уста, туку само полезен за изградување, каде што е потребно, за да им даде благодат на слушателите.
30. И не жалостете Го Светиот Дух, со Кој сте запечатени за денот на избавувањето!
31. Секоја горчина, гнев, јарост, викање и хулење да бидат отстранети од вас, заедно со секаква злоба.

32. Бидете љубезни еден кон друг, чувствителни, проштавајќи си еден на друг, како што и Бог ви прости вам во Христос.

Глава 5

1. И така, угледајте се на Бог, како мили чеда,
2. и живејте во љубов, како што и Христос ве засака вас и Се предаде Себеси за нас, како принос и жртва на Бог, за благопријатен мирис.
3. А блудство и секаква нечистотија или лакомост, да не се спомнуваат меѓу вас, како што им прилега на светиите!
4. Ниту срамни и празни зборови, ниту непристојни шеги, туку подобро благодарности!
5. Зашто, знајте го ова: ниеден блудник, ниеден нечист, ниеден алчник - кој е идолопоклоник - нема наследство во царството на Христос и Бог!
6. Никој да не ве мами со празни зборови, зашто заради тие нешта доаѓа Божјиот гнев врз синовите на непокорноста.
7. И така, не станувајте нивни соучесници!
8. Зашто некогаш бевте темнина, но сега сте светлина во Господ; живејте како деца на светлината
9. (зашто плодот на светлината се состои во секаква добрина, праведност и вистина!)
10. и испитувајте што Му е по волја на Господ!
11. И не бидете соучесници во бесплодните дела на темнината, туку изобличувајте ги,
12. зашто срамно е и да се зборува за она што тие го вршат скришно.
13. А сѐ станува јавно преку светлината, зашто сѐ што станува јавно, светлина е.
14. Затоа се вели: 'Стани ти што спиеш, воскресни од мртвите и Христос ќе те осветли!'
15. И затоа, внимавајте грижливо како живеете! Не како немудри, туку како мудри,
16. исползувајќи го времето, зашто дните се зли!
17. Па така, не бидете неразумни, туку разберете каква е Господовата волја!
18. И не опивајте се со вино во кое е разузданоста, туку исполнувајте се со Духот,
19. зборувајќи си со псалми, химни и духовни песни, пеејќи Му на Господ и воспевајќи Го во своето срце!
20. Благодарете Му секогаш за сѐ на Бог Таткото, во името на нашиот Господ Исус Христос!
21. Покорувајте се еден на друг со страхопочит кон Христос!
22. Жените да им се покоруваат на своите мажи, како на Господ,
23. зашто мажот е глава на жената, како што е и Христос глава на црквата, а Тој е Спасителот на телото!
24. И како што црквата Му се покорува на Христос, така да им бидат и жените покорни во сѐ на своите мажи.
25. Мажи, љубете ги своите жени, како што и Христос ја засака црквата и се предаде Сам Себеси за неа,
26. за да ја освети, исчистувајќи ја преку водно капење со словото,
27. и да ја претстави пред Себе црквата во сета нејзина слава, без дамка, ниту брчка, или нешто слично, за да биде света и непорочна.
28. Така и мажите се должни да ги љубат своите жени како своите сопствени тела. Кој ја љуби својата жена, се љуби себеси.
29. Зашто никој никогаш не го намразил своето тело, туку го храни и негува како и Христос црквата,
30. зашто ние сме органи на Неговото тело.
31. 'Затоа човекот ќе ги остави татка си и мајка си, и ќе се прилепи кон својата жена, и двајцата ќе станат едно тело.'
32. Оваа тајна е голема, а јас зборувам за Христос и црквата.
33. И така, секој од вас да ја љуби својата жена како себеси, а жената да го почитува својот маж.

Глава 6

1. Деца, бидете им послушни на своите родители во Господ, зашто така е исправно.
2. 'Почитувај ги својот татко и мајка (тоа е првата заповед со ветување)
3. за да ти биде добро и за да живееш долго на земјата!'
4. А вие, татковци, не дразнете ги вашите деца, туку воспитувајте ги во Господовиот ред и учење.
5. Робови, покорувајте им се на вашите господари по тело со страв и трепет, во простота на своето срце, како на Христос!
6. Не служете им само пред очите, како оние кои им угодуваат на луѓето, туку како Христови слуги, кои од сета душа ја извршуваат Божјата волја!
7. Служете доброволно како на Господ, а не на луѓе,
8. знаејќи дека секој, било роб или слободен, ако направи нешто добро, ќе го добие истото од Господ!
9. А вие, господари, правете им го истото ним, без закани, знаејќи дека нивниот и вашиот Господар е на небесата и дека Тој не е пристрасен!
10. Најпосле, бидете силни во Господ и во силата на Неговата моќ!
11. Облечете се во сето Божјо оружје, за да можете да устоите на лукавствата на ѓаволот.
12. Зашто нашата борба не е против крв и месо, туку против управителите, против властите, против световните мрачни сили на овој свет, против духовните сили на злото на небесата.
13. Затоа земете го сето Божјо оружје, за да можете да се противставите во лош ден и откако ќе свршите сѐ, да се одржите!
14. Затоа, стојте цврсто, препашани со вистината преку половината, облечени во оклопот на праведноста
15. и со нозе обуени со подготвеност за Евангелието на мирот!
16. А освен тоа земете го штитот на верата, со кој ќе можете да ги угаснете сите огнени стрели на злиот,
17. земете го и шлемот на спасението и мечот на Духот - кој е Божјото слово,
18. со секаква просба и молитва, молете се во Духот во секое време, и заради тоа бдејте со сета истрајност и со молба за сите светии
19. и за мене, за да ми се даде порака кога ќе ја отворам устата, за да можам смело да ја соопштувам тајната на Евангелието,
20. за кое сум пратеник во окови, за да зборувам смело како што и треба да зборувам.
21. А за да знаете сѐ за мене и за сѐ што работам, ќе ве извести Тихик, милиот брат и верен служител во Господ,
22. кого го праќам кај вас токму затоа, за да дознаете како сме ние и за да ги утеши вашите срца.
23. Мир на браќата и љубов со вера од Бог Таткото и од Господ Исус Христос!
24. Благодат со сите, кои беспрекорно Го љубат нашиот Господ Исус Христос!

3 Јованово

Глава 1

1. Павле и Тимотеј, слуги на Христос Исус, до сите светии во Христос Исус, кои се во Вилипи, заедно со надзорниците и ѓаконите:
2. благодат вам и мир од Бог нашиот Татко и од Господ Исус Христос.
3. Му благодарам на својот Бог секогаш кога си спомнувам за вас;
4. секогаш во секоја своја молитва се молам за сите вас со радост,
5. заради вашето учество во Евангелието од првиот ден досега.
6. Уверен сум во тоа, дека Оној Кој го започна доброто дело во вас, ќе го доврши до Денот на Христос Исус.
7. А и исправно е да го мислам тоа за сите вас, зашто ве имам во срцето сите вас кои сте соучесници со мене во благодатта - како во моите окови, така и во одбраната и утврдувањето на Евангелието.
8. Зашто Бог ми е сведок колку копнеам по сите вас со срдечната љубов на Христос Исус.
9. И затоа се молам вашата љубов да изобилува сѐ повеќе и повеќе во целосно познавање и во секакво расудување,
10. за да можете да го распознавате она што е подобро; за да бидете искрени и беспрекорни за Христовиот ден,
11. исполнети со плодот на праведноста, кој е преку Исус Христос, за слава и пофалба на Бог.
12. А сакам да знаете, браќа, дека ова што се случува со мене помогна за поголем напредок на Евангелието,
13. така што им стана јасно на целата царска стража и на сите други, дека сум во окови заради Христос,
14. и дека повеќето од браќата во Господ, охрабрени од моите окови, се осмелуваат сѐ повеќе без страв да го проповедаат Божјото слово.
15. Навистина, едни Го проповедаат Христос од завист и соперништво, а други од добра волја;
16. едни од љубов, знаејќи дека сум поставен за одбрана на Евангелието,
17. а други Го навестуваат Христос од себични пориви, не со чиста намера, мислејќи да ми нанесат тага во моите окови.
18. Но што тогаш? Само тоа: дека на секаков начин, било дволично или искрено, Христос се навестува. На тоа му се радувам и ќе се радувам,
19. зашто знам дека ова - преку вашата молитва и помошта на Духот на Исус Христос - ќе ми биде за избавување,
20. сходно со моето цврсто очекување и надеж, дека во ништо нема да се засрамам, туку како и секогаш во сета смелост, така и сега, Христос ќе е возвишен во моето тело, било преку живот или преку смрт.
21. Зашто за мене да живеам е Христос, а да умрам - придобивка.
22. Но ако и натаму живеам во телото, тоа за мене значи плодна работа - и не знам што да изберам.
23. Притиснат сум од две страни, имам желба да си заминам и да бидам со Христос, што е далеку подобро,
24. но заради вас е попотребно да останам во телото.
25. И наполно уверен во тоа, знам дека ќе останам и ќе продолжам со сите вас, за ваш напредок и за радост во верата.
26. А вашата пофалба преку мене да биде уште поизобилна во Христос Исус, заради моето повторно доаѓање кај вас.
27. Само однесувајте се достојно на Христовото Евангелие, за да можам јас - било да дојдам и да ве видам, било да сум отсутен - да чујам за вас дека стоите цврсто во еден дух, дека еднодушно се борите за евангелската вера,
28. и дека воопшто не се вознемирувате од противниците, што е знак за нивна погибел, а спасение за вас, и тоа од Бог.

29. Зашто вам ви беше дадено заради Христос не само да верувате во Него, туку и да страдате заради Него,
30. имајќи ја истата борба, каква што видовте во мене, а и сега слушате за мене.

Глава 2

1. И така, ако има некаква утеха во Христос, ако има некакво охрабрување од љубов, ако има некаква заедница на Духот, ако има некакво сочувство и сожалување,
2. направете ја мојата радост целосна, имајќи исти мисли и иста љубов, обединети во духот и со една цел.
3. Не правете ништо од ривалство или од суетно честољубие, туку во понизност сметајте се еден друг за поголем од себеси!
4. Не гледајте само на своите лични интереси, туку и на интересите на другите.
5. Имајте такви мисли во себе, какви што ги имаше и Исус Христос:
6. Кој, иако беше во ликот Божји, не го сметаше како нешто приграбено- тоа што е еднаков со Бог,
7. туку се лиши Самиот Себеси, земајќи лик на слуга, станувајќи сличен со луѓето.
8. И откако стана сличен на човек, Тој се понизи Самиот Себеси и стана послушен до смрт, дури до смрт на крст.
9. Затоа и Бог Го возвиши и Му подари име што е над секое име,
10. та во името Исус да се поклони секое колено на оние кои се на небото, на земјата и под земјата;
11. и секој јазик да признае дека Исус Христос е Господ, за слава на Бог Таткото.
12. Затоа, мили мои, како што секогаш бевте послушни, не само кога бев кај вас, туку уште повеќе сега, кога не сум кај вас, градете го своето спасение со страв и трепет.
13. Зашто Бог е Оној Кој ве поттикнува да сакате и да дејствувате според Неговата волја.
14. Правете сè без ропот и расправа,
15. за да бидете беспрекорни и незлобни Божји чеда, непорочни сред изопачено и расипано поколение, меѓу кое сте како светила во светот,
16. држејќи го цврсто словото на животот, за да имам со што да се фалам во Христовиот ден, дека не трчав залудно и дека залудно не се трудев.
17. Но, макар што сум излеан врз жртвата и службата на вашата вера, се радувам и ја споделувам својата радост со сите вас.
18. А исто така радувајте се и вие и споделете ја вашата радост со мене.
19. Но се надевам во Господ Исус наскоро да ви го испратам Тимотеј, та и јас да се охрабрам кога ќе дознаам како сте вие.
20. Зашто немам друг истомисленик, кој толку искрено ќе се грижи за вас,
21. бидејќи сите други го бараат своето, а не она што е на Христос Исус.
22. Вие го знаете неговиот докажан карактер, дека со мене служеше во ширењето на Евангелието како дете на таткото.
23. Затоа, се надевам дека ќе го испратам него веднаш штом ќе разберам што ќе стане со мене.
24. А се надевам во Господ дека и јас самиот наскоро ќе дојдам.
25. Сепак, сметав дека е за потребно да ви го испратам Епафродит, својот брат, соработник и соборец, а ваш пратеник и служител на моите потреби;
26. бидејќи копнееше по сите вас и беше нажален зашто сте чуле дека бил болен.
27. Навистина, беше смртно болен, но Бог му се смилува, и не само нему, туку и мене, за да не ми дојде тага врз тага.
28. Затоа го испратив поскоро, па повторно да се зарадувате кога ќе го видите, и јас да бидам помалку загрижен.
29. Затоа, примете го во Господ, со секаква радост и почитувајте ги таквите,
30. зашто заради Христовото дело се најде близу до смртта, излагајќи го својот живот на опасност, за да го надомести тоа што вие не можевте да го направите за мене.

Глава 3

1. На крај, браќа мои, радувајте се во Господ! Мене не ми е здодевно да ви го пишувам тоа па тоа, а вам ви служи како заштита.
2. Пазете се од кучињата, пазете се од злите работници, пазете се од лажното обрежување!
3. Зашто, вистинското обрежување сме ние кои служиме со Божјиот Дух и се фалиме во Христос Исус и не се надеваме на телото,
4. иако и јас можам да имам доверба во телото. Ако некој друг мисли дека може да има доверба во телото, јас уште повеќе:
5. обрежан сум во осмиот ден, од израелевиот род сум, од Бенјаминовото племе, Евреин од Евреите, по Закон - фарисеј,
6. по ревност - гонител на црквата, а според праведноста на Законот бев беспрекорен.
7. Но тоа што ми беше некогаш придобивка, го сметав за загуба поради Христос.
8. И уште повеќе, сметам дека сѐ е загуба во однос на превосходното познавање на Христос Исус, мојот Господ, заради Кого загубив сѐ и сѐ сметам за смет, за да Го придобијам Христос
9. и да се најдам во Него, без своја праведност, која доаѓа од Законот, туку по праведноста која доаѓа преку верата во Христос, праведноста која е од Бог врз основа на вера,
10. за да Го познавам Него и силата на Неговото воскресение, и учеството во Неговите страдања, станувајќи сличен на Него во Неговата смрт,
11. та некако да достигнам до воскресението од мртвите.
12. Не велам дека веќе го достигнав или дека веќе станав совршен, туку се стремам да го достигнам она за кое и самиот бев достигнат од Христос Исус.
13. Браќа, јас уште не мислам дека го достигнав тоа, но сепак правам едно: го заборавам она што е зад мене, а се стремам кон она што е пред мене;
14. трчам кон целта, за наградата на горното призвание од Бог во Христос Исус.
15. И така, ние кои сме совршени нека мислиме вака, а ако вие мислите и малку поинаку, Бог ќе ви го открие и тоа.
16. Сепак, да живееме според достигнатото!
17. Браќа, имајте ме за пример и гледајте на оние што живеат според примерот што го имате во нас!
18. Зашто мнозина, за кои ви зборував многупати, а сега зборувам и со солзи, живеат како непријатели на Христовиот крст.
19. Нивниот крај е погибел; нивниот бог им е стомакот; нивната слава е во нивниот срам; тие мислат само на земното.
20. А нашето граѓанство е на небесата, од каде и Го очекуваме Спасителот Господ Исус Христос,
21. Кој ќе го преобрази нашето понижено тело - да се сообрази со Неговото славно тело, според дејството на Неговата сила, со која може да покори сѐ под Себе.

Глава 4

1. Затоа, мили и многу сакани мои браќа за кои копнеам, моја радост и мој венец, стојте така цврсто во Господ, мили мои!
2. Ја преколнувам Еводија и ја преколнувам Синтихија да бидат едномислени во Господ.
3. Сепак, те молам и тебе, верен другару, помагај им, зашто со мене се трудеа за Евангелието, заедно со Климент и со другите мои соработници, чии имиња се во Книгата на животот.
4. Радувајте се секогаш во Господ и пак ќе кажам, радувајте се!
5. Вашата трпеливост нека им биде позната на сите луѓе! Господ е близу.
6. Не грижете се за ништо, туку во сѐ, преку молитва и благодарност, искажувајте ги своите барања пред Бог!
7. А Божјиот мир, што го надминува секое разбирање, ќе ги штити вашите срца и вашите мисли во Христос Исус.
8. Најпосле, браќа, сѐ што е вистинито, што е чесно, што е праведно, што е чисто, што е љубезно, што е на добар глас - ако е некаква доблест, ако е некаква пофалба - размислувајте за тоа!
9. Она што го научивте, примивте, чувте и видовте во мене - тоа правете го, и Бог на мирот ќе биде со вас!
10. Се зарадував многу во Господ, зашто сега најпосле ја оживеавте својата грижа за мене. Вие и инаку се грижевте, но немавте можност.
11. Не го зборувам тоа заради скудност, зашто научив да бидам задоволен во секакви околности.
12. Знам да живеам и во скудност, знам и во изобилство. Ја научив тајната да бидам сит и да гладувам во секакви околности; да сум во изобилство и во скудност.
13. Сѐ можам преку Христос, Кој ми дава сила.
14. Туку добро направивте што зедовте учество во моите неволи.
15. А знаете и вие, Вилипјани, дека во почетокот на проповедањето на Евангелието, кога заминав од Македонија, ниедна црква не беше со мене во давањето и примањето, освен единствено вие,
16. зашто ми испративте во Солун, еднаш и по вторпат, за моите потреби.
17. Јас не барам подарок, туку го барам плодот што се умножува во ваша полза.
18. Примив сѐ и имам изобилно. Целосно сум подмирен откако го примив од Епафродит она што ми испративте - благопријатен мирис, жртва прифатлива и по волјата на Бог.
19. А мојот Бог ќе ги исполни сите ваши потреби, според Своето богатство во славата - во Христос Исус.
20. А на нашиот Бог и Татко, слава во сите векови. Амин!
21. Поздравете го секој светија во Христос Исус! Ве поздравуваат браќата кои се со мене.
22. Ве поздравуваат сите светии, а особено оние од Цезаровиот дом.
23. Благодатта на Господ Исус Христос да биде со вашиот дух!

Јуда

Глава 1

1. Павле, апостол на Исус Христос преку Божјата волја и братот Тимотеј,
2. до светиите и верните браќа во Христос, во Колос. Благодат вам и мир од Бог нашиот Татко.
3. Му благодариме на Бог, Таткото на нашиот Господ Исус Христос, молејќи се секогаш за вас;
4. зашто чувме за вашата вера во Христос Исус и за љубовта што ја имате спрема сите светии и
5. заради надежта која се чува за вас на небесата, за која чувте порано од словото на
вистината, Евангелието,
6. кое дојде кај вас, како и во целиот свет, и плодоносно расте како и во вас од оној ден кога го
чувте и ја запознавте Божјата благодат во вистината,
7. како што го научивте од Епафрас, нашиот мил сослужител, кој е верен Христов служител за
вас,
8. кој и нѐ извести за вашата љубов во Духот.
9. Затоа и ние од оној ден кога го чувме тоа, не престануваме да се молиме за вас и да бараме
да се исполните со познавањето на Неговата волја со секаква мудрост и духовно разбирање,
10. за да живеете достојно за Господ и да Му бидете по волја во сѐ; принесувајќи плодови во
секое добро дело и растејќи во познавањето на Бог;
11. зајакнати со сета сила, согласно со Неговата славна моќ, за секаква непоколебливост и
трпение; со радост
12. благодарејќи Му на Таткото, Кој нѐ оспособи за учество во наследството на светиите во
светлината.
13. Зашто Тој нѐ избави од власта на темнината и нѐ пренесе во царството на Својот сакан Син,
14. во Кого имаме откуп, простување на гревовите.
15. Тој е лик на невидливиот Бог, Првороден на сето создание,
16. зашто преку Него е создадено сѐ што е на небесата и на земјата; видливо и невидливо,
престоли, господства, началства или власти - сѐ е создадено преку Него и за Него.
17. И Тој е пред сѐ и сѐ суштествува во Него.
18. Тој е и глава на телото, Црквата; Тој е Почетокот, Првородениот од мртвите, за да биде прв
во сѐ,
19. зашто на Таткото му беше по волја во Него да живее сета полнота,
20. и преку Него да измири со Себе сѐ што е на земјата или на небото, творејќи мир преку
крвта на Неговиот крст.
21. И, иако некогаш бевте отуѓени и непријатели во своето мислење и во злите дела,
22. сега ве измири преку смртта на Неговото тело, за да ве претстави пред Себе свети,
непорочни и беспрекорни,
23. само ако останете во верата цврсто втемелени и непоколебливи во надежта на
Евангелието што го чувте, кое му беше проповедано на целото создание под небото и на кое
јас, Павле, му станав служител.
24. Сега се радувам во моите страдања заради вас - и во моето тело го дополнувам тоа што им
недостига на Христовите маки за Неговото тело, Кое е Црквата,
25. на која и станав служител според Божјото устројство, што ми е дадено за ваша полза, за да
го исполнам Божјото слово,
26. тајната што беше скриена за векови и поколенија, а која им е откриена сега на Неговите
светии,
27. на кои Бог сакаше да им објави што е богатството на славата на оваа тајна меѓу неевреите,
која е Христос во вас, надежта на славата.
28. Ние Го навестуваме Него, опоменувајќи и поучувајќи секој човек во сета мудрост, за да го
претставиме секој човек зрел во Христос.
29. Затоа се трудам и се борам сходно со Неговата делотворна сила, која силно дејствува во
мене.

Глава 2

1. Имено, сакам да знаете колкава борба имам заради вас, заради оние во Лаодикеја и заради сите што не ме виделе лично,
2. за да се утешат нивните срца, и сплотени во љубовта да дојдат до сето богатство кое доаѓа од севкупната увереност во разбирањето и целосното познавање на Божјата тајна - Христос,
3. во Кого се скриени сите богатства на мудроста и на знаењето.
4. А ова го велам за да не ве измами некој со убедливи зборови,
5. зашто, иако сум отсутен по тело, во духот сум со вас и се радувам гледајќи ги вашиот ред и цврстината на вашата вера во Христос.
6. И така, како што Го примивте Христос Исус, Господ, така и да живеете во Него,
7. цврсто вкоренети и надѕидани во Него и зацврстени во верата, како што и бевте поучени, изобилувајќи со благодарноста.
8. Внимавајте некој да не ве плени со философија и со празна измама според човечките преданија, според првобитните принципи на светот, а не според Христос.
9. Зашто во Него, во телесен облик, живее сета полнота на Божеството,
10. и вие станавте целосни во Него, Кој е глава на секое поглаварство и власт.
11. Во Него сте и обрежани со обрезание кое не е со рака, со отстранување на телесноста преку Христовото обрезание:
12. откако бевте погребани со Него во крштавање, во кое и бевте воскреснати со Него преку верата во дејствувањето на Бог, Кој Го воскресна од мртвите.
13. Вас, кои бевте мртви во престапите и необрезанието на вашето тело, ве оживеа заедно со Него, простувајќи ни ги сите наши престапи
14. и бришејќи ја обврската од нашиот долг, која со своите одредби беше против нас; Тој ја отстрани кога ја прикова на крстот;
15. и ги разоружа поглаварствата и властите и јавно ги изложи, ликувајќи над нив преку него.
16. Затоа, никој да не ве осудува за храна, или пијалак, за некаков празник или за млада месечина, или за саботи
17. - нешта кои се само сенка на она што ќе дојде, а суштината е Христос.
18. Никој со измама да не ви ја одземе наградата, преку лажна понизност и поклонение на ангелите, тврдеќи дека имал виденија, дуејќи се напразно со својот телесен ум,
19. а не држејќи се за Главата, од Која целото Тело, помогнато и поврзано со зглобовите и врските, расте со растежот што го дава Бог.
20. Ако веќе умревте со Христос за првобитните принципи на светот, зошто им се потчинувате на прописите, како уште да живеете во овој свет:
21. 'Не фаќај ! Не вкусувај ! Не допирај!'
22. - сè што пропаѓа со употреба - според човечките заповеди и учења?
23. Овие нешта навистина изгледаат како мудрост која се состои во самоволна набожност, лажна понизност и непоштедна строгост кон телото, а немаат никаква вредност, туку се само за угодување на телото.

Глава 3

1. И така, ако сте воскреснати со Христос, барајте го она што е горе - каде што е Христос, седнат оддесно на Бог.
2. Мислете на она што е горе, а не на она што е на земјата,
3. зашто умревте и вашиот живот е скриен со Христос во Бог!
4. А кога ќе се јави Христос, нашиот живот, тогаш и вие ќе се јавите со Него во слава.
5. Затоа, умртвете ги земните органи на вашето тело за: блуд, нечистота, страст, зла желба и алчност која е идолопоклонство,
6. заради кои доаѓа Божјиот гнев,
7. а во кои и вие некогаш одевте, кога живеевте во нив.
8. Но сега, отфрлете ги и вие сите овие нешта: гневот, јароста, злобата, хулењето и злоупотребата на говорот.
9. Не лажете се еден друг, зашто веќе го соблековте стариот човек со неговите дела
10. и се облековте со новиот човек, кој се обновува во целосното познавање според ликот на Оној Кој го создал,
11. каде нема веќе Грк ни Евреин, обрежан и необрежан, варварин, Скит, роб и слободен, туку Христос е сѐ и во сѐ.
12. И така, како Божји свети и мили избраници, облечете се со милосрдно срце, љубезност, понизност, кроткост и трпеливост!
13. Поднесувајте се еден со друг и проштавајте си еден на друг, ако некој има поплака против некого; како што Господ ви прости вам, така проштавајте и вие!
14. А над сето тоа облечете се во љубов, која совршено сврзува сѐ!
15. А Христовиот мир нека владее во вашите срца, за кого сте и повикани во едно тело; и бидете благодарни!
16. Христовото слово да живее изобилно во вас во сета мудрост, поучувајте се и опоменувајте се еден друг со псалми, химни и духовни песни, пеејќи Му на Бог со благодат во вашите срца.
17. И што и да правите со збор или дело, правете сѐ во името на Господ Исус, благодарејќи Му преку Него на Бог Таткото.
18. Жени, покорувајте им се на своите мажи, како што прилега во Господа!
19. Мажи, љубете ги своите жени и не бидете огорчени спрема нив.
20. Деца, бидете им послушни на вашите родители во сѐ, зашто тоа Му е по волја на Господ!
21. Татковци, не дразнете ги своите деца, за да не станат малодушни!
22. Робови, слушајте ги во сѐ своите земни господари, не навидум како оние кои само им угодуваат на луѓето, туку со искрено срце, боејќи се од Господ!
23. Што и да правите, правете го од сѐ срце како за Господ, а не за луѓе,
24. знаејќи дека од Господ како награда ќе примите наследство. Вие му служите на Господ Христос!
25. Зашто, кој прави лошо, ќе ги понесе последиците од стореното, и тоа непристрасно.

Глава 4

1. Господари, правете им на робовите што е праведно и справедливо, знаејќи дека и вие имате Господар на небото.
2. Бидете постојани во молитва со будност и благодарност!
3. Молете се едновремено и за нас, за Бог да ни отвори врата за словото за да ја навестиме Христовата тајна, заради која сум и во окови,
4. и да ја откријам јасно, онака како што треба да зборувам.
5. Постапувајте мудро спрема надворешните, ползувајќи ја секоја можност.
6. Вашиот говор секогаш да е со благост, зачинет со сол, за да знаете како треба да му одговорите секому.
7. А за мене ќе ве извести Тихик, мил брат и верен служител и слуга во Господ,
8. кого го испраќам кај вас токму затоа, за да дознаете како сме ние и да ги утеши вашите срца,
9. заедно со верниот и мил брат Онисим, кој е кај вас. Тие ќе ви соопштат како е тука.
10. Ве поздравува Аристарх, мојот другар во зандаsuccessfully, Марко, роднината на Барнаба (за кого примивте упатства: ако дојде кај вас, примете го)
11. и Исус, наречен Јуст. Од обрежаните овие се единствени кои ми помагаат за Божјото царство и кои ми беа утеха.
12. Ве поздравува вашиот сонародник Епафрас, слуга на Христос Исус, кој секогаш се бори за вас во молитви, за да стоите совршени и наполно уверени во целата Божја волја.
13. Сведочам за него дека има голема ревност за вас, за оние во Лаодикеја и за оние во Хиераполис.
14. Ве поздравуваат саканиот лекар Лука и Димас.
15. Поздравете ги браќата во Лаодикеја, и Нимфана и црквата во нејзиниот дом.
16. Кога ќе се прочита ова писмо кај вас, погрижете се да биде прочитано и во Лаодикејската црква! А она од Лаодикеја, прочитајте го и вие!
17. Речете му на Архип: 'Внимавај на службата која си ја примил во Господ, да ја исполниш!'
18. Своерачен поздрав од мене, Павле. Спомнувајте си за моите окови. Благодат со вас!

Римјаните

Глава 1

1. Павле и Силван и Тимотеј до црквата на Солунците, во Бог, Таткото и Господ Исус Христос, благодат вам и мир.
2. Секогаш кога ве спомнуваме во нашите молитви, Му благодариме на Бог за сите вас,
3. зашто постојано ги спомнуваме делата на вашата вера, трудот на вашата љубов и вашата трпелива надеж во нашиот Господ Исус Христос, пред Бог нашиот Татко.
4. Знаејќи, браќа од Бог сакани, дека вие сте избрани;
5. зашто нашето проповедање на Евангелието меѓу вас не беше само со слово, туку и во сила, и во Светиот Дух, и во полна увереност; како што знаете какви бевме меѓу вас заради вас.
6. И вие нѐ имавте за пример нас и Господ, примајќи го словото сред голема невола, со радоста на Светиот Дух,
7. така што им станавте пример на сите верници во Македонија и Ахаја.
8. Зашто, од вас Господовото слово се разгласи не само во Македонија и Ахаја, туку за вашата вера во Бог се расчу насекаде, така што нема потреба ние да зборуваме нешто.
9. Имено, самите зборуваат за нас, како нѐ примивте и како се обративте од идолите кон Бог, за да Му служите на живиот и вистинит Бог
10. и да Го очекувате Неговиот Син Исус од небесата, Кого Го воскресна од мртвите и Кој нѐ избавува од гневот што доаѓа.

Глава 2

1. Зашто самите знаете, браќа, дека нашето доаѓање кај вас не беше залудно.
2. Напротив, иако порано пострадавме и бевме хулени во Вилипи, како што веќе знаете, бевме
смели во нашиот Бог, да ви го говориме Божјото Евангелие сред големо противење.
3. Зашто нашето поттикнување не е од заблуда ни од нечистотија, ниту со измама,
4. туку како што Бог нѐ испита и ни го довери Евангелието, така зборуваме, не угодувајќи им
на луѓето, туку на Бог, Кој ги испитува нашите срца.
5. Зашто, како што знаете, никогаш не настапивме со ласкави зборови, ниту со притаена
алчност - Бог е сведок за тоа,
6. ниту, пак, баравме слава од луѓето, ниту од вас, ниту од другите, иако можевме да се
наметнеме како Христови апостоли.
7. Напротив, бевме благи меѓу вас, како доилка, која нежно се грижи за своите деца,
8. па така, полни со љубов спрема вас сакавме да ви го предадеме не само Божјото Евангелие,
туку и своите души, зашто ни станавте многу мили.
9. Впрочем, браќа, вие ги помните нашиот труд и мака, како работевме ноќе и дење за да не
обремениме некој од вас, додека го проповедавме Божјото Евангелие.
10. Вие сте сведоци, а и Бог, дека свето, праведно и беспрекорно се однесувавме спрема вас,
верните.
11. Како што знаете, ние секого од вас поединечно, како татко своите деца, го бодревме и
охрабрувавме, и ви сведочевме
12. да живеете достојно за Бог, Кој ве повикува во Своето Царство и слава.
13. Затоа и ние постојано Му благодариме на Бог, зашто кога го примивте од нас Божјото
слово, го примивте не како човечко слово, туку како Божјо слово (што всушност и е) кое и
дејствува во вас кои верувате.
14. Зашто, вие браќа, ги зедовте за пример Божјите цркви во Христос Исус, кои се во Јудеја,
бидејќи и вие го претрпевте истото од своите сонародници, како и тие од Евреите,
15. кои Го убија Господ Исус и пророците, а нас нѐ истераа. Тие не Му угодуваат на Бог, и
непријатели им се на сите луѓе,
16. и ни забрануваат да им зборуваме на неевреите, за да не се спасат, со што секогаш ја
дополнуваат мерата на своите гревови. Но најпосле гневот ги стигна нив!
17. А ние, браќа, кога за кратко останавме без вас, настојувавме уште повеќе - лично, а не во
духот - со голем копнеж, да го видиме вашето лице,
18. зашто сакавме да дојдеме кај вас - барем јас, Павле, повеќе од еднаш но сатаната нѐ
спречи.
19. Зашто, кој е нашата надеж, радост или венец за пофалба? Та не сте ли вие пред нашиот
Господ Исус при Неговото доаѓање?
20. Зашто вие сте нашата слава и нашата радост.

Глава 3

1. Затоа кога не можевме веќе да го издржиме тоа, сметавме дека би било добро да останеме сами во Атина,
2. а Тимотеј, нашиот брат и Божји соработник во Евангелието на Христос, го испративме за да ве зацврсти и охрабри во вашата вера,
3. за да не се поколеба никој поради овие маки; зашто сами знаете дека за тоа сме определени,
4. зашто кога бевме кај вас, однапред ви зборувавме дека ќе трпиме маки, и како што знаете, така и се случи.
5. Затоа, јас, не можејќи веќе да издржам, пратив да дознаам за вашата вера, да не би ве искушал искушувачот и да не биде залуден нашиот труд.
6. А сега, откако дојде Тимотеј од кај вас и ни донесе добра вест за вашата вера и љубов, и дека имате секогаш добар спомен за нас и дека копнеете да нè видите, како и ние вас,
7. тогаш, браќа, и покрај сета наша мака и невола се утешивме за вас преку вашата вера;
8. зашто сега навистина живееме, кога вие стоите цврсто во Господ.
9. Зашто, каква благодарност можеме да Му оддадеме на Бог за вас, за сета радост со која се зарадувавме поради вас пред нашиот Бог?
10. Ноќе и дење најсесрдно се молиме да го видиме вашето лице и да го дополниме тоа што и недостига на вашата вера.
11. А Самиот Бог, нашиот Татко, и Исус Христос, нашиот Господ, да го насочи нашиот пат кон вас!
12. А Господ да направи вие да растете и да изобилувате во љубов еден спрема друг и спрема сите луѓе, како што и ние ја имаме спрема вас,
13. за да ги утврди вашите срца да бидат непорочни во светост пред нашиот Бог и Татко, при доаѓањето на нашиот Господ Исус со сите Свои светии.

Глава 4

1. Најпосле, браќа, бараме и ве молиме во Господ Исус, така како што примивте од нас упатства како треба да живеете и да Му угодувате на Бог (како што и одите), уште повеќе да изобилувате во тоа.
2. Имено, знаете какви упатства ви дадовме во името на Господ Исус.
3. Зашто Божјата волја е вашето осветување: да се воздржувате од блудство,
4. секој од вас да знае да го држи својот сад во светост и чест,
5. не во похотна страст, како останатите народи кои не Го познаваат Бога;
6. никој да не го измамува и да не го оштетува својот брат во тоа, зашто Господ е одмаздник за таквите работи, како што ви рековме и сериозно ве предупредивме.
7. Имено, Бог не нѐ повика кон нечистотија, туку кон осветување.
8. Затоа, кој го отфрла тоа, не отфрла човек, туку Бога, Кој ви Го дава и Својот Свет Дух.
9. А за братољубието нема потреба да ви пишувам, зашто самиот Бог ве научи да се љубите еден со друг,
10. а вие го правите тоа спрема сите браќа во цела Македонија. Но, ве молиме пак, браќа, да го правите тоа уште повеќе
11. и сесрдно да настојувате да живеете мирен живот, да си ги гледате своите работи и да работите со своите раце, така како што ви заповедавме,
12. за да се однесувате така како што прилега кон надворешните и да немате никаква нужда.
13. Не сакаме, браќа, да останете во незнаење за починатите, за да не жалите како другите кои немаат надеж.
14. Зашто ако веруваме дека Исус умре и воскресна, така и оние кои се упокоиле во Исус, Бог ќе ги земе со Него.
15. Зашто ова ви го кажуваме преку Господовото слово, дека ние кои живееме и остануваме до доаѓањето на Господ, нема да отидеме пред оние кои се упокоиле;
16. зашто Самиот Господ ќе слезе од небото, на заповед, со глас на архангел и со Божја труба, и мртвите во Христос ќе воскреснат први.
17. Потоа ние живите кои останавме, ќе бидеме грабнати заедно со нив на облаците, за да Го сретнеме Господ во воздухот; и така засекогаш ќе бидеме со Господ.
18. Затоа, утешувајте се еден друг со овие зборови.

Глава 5

1. А за времињата и периодите, браќа, нема потреба да ви се пишува;
2. зашто самите вие добро знаете дека Господовиот Ден ќе дојде како крадец во ноќ.
3. Кога ќе велат: 'мир и безбедност', тогаш ненадејно ќе падне погибел врз нив, како породилни маки врз бремена жена, и не ќе можат да избегаат.
4. Но вие, браќа, не сте во темнина, та Денот да ве затече како крадец,
5. зашто вие сите сте синови на светлината и синови на денот и не и припаѓаме на ноќта, ниту на темнината.
6. И така, да не спиеме како другите, туку да бдееме и да бидеме трезвени.
7. Зашто оние кои спијат, спијат ноќе и оние кои се опиваат, ноќе се опиваат.
8. А ние кои му припаѓаме на денот, да бидеме трезвени, облечени во оклопот на верата и љубовта, а како шлем, надежта на спасението,
9. зашто Бог не нѐ определил за гнев, туку да придобиеме спасение преку нашиот Господ Исус Христос,
10. Кој умре за нас за да живееме заедно со Него, било да сме будни или да спиеме.
11. Затоа утешувајте се меѓусебно и надградувајте се еден друг, токму така како што и правите!
12. Ве молиме, браќа, да им давате признание на оние кои вредно работат меѓу вас, кои се одговорни за вас во Господ и на оние кои ве поучуваат.
13. Ценете ги над сѐ со љубов, заради нивното дело. Живејте во мир еден со друг.
14. Ве молам уште, браќа, поучувајте ги неуредните, охрабрувајте ги малодушните, помагајте им на немоќните и бидете трпеливи со сите луѓе.
15. Гледајте никој никому да не враќа зло за зло, туку секогаш барајте го доброто меѓу вас и за сите луѓе!
16. Радувајте се секогаш,
17. молете се постојано и
18. благодарете за сѐ, зашто тоа е Божја волја за вас во Христос Исус!
19. Не гаснете го Духот, не презирајте ги пророштвата,
20. туку испитувајте сѐ, а држете се за доброто.
21. Воздржувајте се од секој вид на зло!
22. А Самиот Бог на мирот да ве освети наполно!
23. И вашиот дух, душата и телото да бидат запазени целосни и беспрекорни при доаѓањето на нашиот Господ Исус Христос!
24. Верен е Оној Кој ве повикува, Кој и ќе го стори тоа.
25. Браќа, молете се за нас!
26. Поздравете ги сите браќа со свет целив!
27. Ве заколнувам во Господ, ова послание да им го прочитате на сите браќа.
28. Благодатта на нашиот Господ Исус Христос да биде со вас!

# 1 Коринтјани

Глава 1

1. Павле, Силван и Тимотеј до црквата на Солунците, во Бог нашиот Татко, и Господ Исус Христос:
2. Благодат вам и мир од Бог нашиот Татко и Господ Исус Христос.
3. Должни сме секогаш да Му благодариме на Бог за вас, браќа, како што прилега, зашто вашата вера расте многу; и се умножува меѓусебната љубов на секој од вас,
4. така што ние самите се фалиме со вас меѓу Божјите цркви заради вашата истрајност и вера сред прогонствата и маките, што ги поднесувате.
5. Тоа е знак на Божјиот праведен суд, за да се сметате достојни за Божјото царство, за кое и страдате.
6. Зашто праведно е Бог да им возврати со мака на оние кои ве измачуваат,
7. а вам, на измачуваните, олеснување заедно со нас, кога ќе се јави Господ Исус од небото, со Своите силни ангели,
8. во пламенен оган, за да им се одмазди целосно на оние кои не Го познаваат Бог и кои не му се покоруваат на Евангелието на нашиот Господ Исус.
9. Таквите ќе бидат казнети со вечна погибел далеку од лицето на Господ и од славата на Неговата сила,
10. кога ќе дојде во оној ден, да се прослави во Своите светии и да Му се восхитуваат сите кои поверувале, зашто вие му поверувавте на нашето сведоштво.
11. Затоа и ние секогаш се молиме за вас, нашиот Бог да ве удостои да веповика и да исполни со моќ секоја добра волја во добрина и делото на вашата вера,
12. за да се прослави името на нашиот Господ Исус во вас и вие во Него, според благодатта на нашиот Бог и Господ Исус Христос.

Глава 2

1. А сега, ве молиме, браќа, во однос на доаѓањето на нашиот Господ Исус Христос и за нашето заедничко собирање кај Него,
2. не дозволувајте брзо да се поколебате во разумноста, ниту да се исплашите од некој дух или слово, ни од некое послание, како да е од нас испратено, како веќе да настапил Господовиот Ден!
3. Никој да не ве измами на никаков начин, зашто тоа нема да се случи додека првин не дојде отпадништвото и не се појави човекот на безаконието, синот на погибелта,
4. кој се противи и се воздига над сѐ што се нарекува Бог или светиња, така што ќе седне во Божјиот храм и ќе се претставува себеси дека тој е Бог.
5. Не помните ли дека за ова ви зборував уште кога бев кај вас?
6. И сега знаете што го задржува за да се открие во своето време.
7. Зашто, тајната на беззаконието веќе дејствува, додека не се отстрани од средината Оној што сега ја задржува,
8. и потоа ќе се јави беззаконикот кого Господ ќе го убие со здивот на Својата уста и ќе го уништи со појавата на Своето доаѓање.
9. Тоа е оној, чие доаѓање е во согласност со сатанското дејствување, со секаква сила, со чудотворни знаци, со лажни чуда
10. и со секаква неправедна измама за оние кои загинуваат, зашто не ја примија љубовта на вистината за да се спасат.
11. И затоа Бог им праќа заблуда да дејствува меѓу нив за да и веруваат на лагата,
12. та да бидат осудени сите, кои не и поверуваа на вистината, а имаа задоволство во неправедноста.
13. А ние сме должни секогаш да Му благодариме на Бог за вас, браќа, мили на Господ, зашто Бог ве избра за спасение уште од почетокот, преку осветувањето на Духот и вера во вистината.
14. И затоа ве повика преку нашето Евангелие, за да ја добиете славата на нашиот Господ Исус Христос.
15. Затоа, браќа, стојте цврсто и држете ги преданијата што ги научивте од нас, било преку слово или преку наше послание.
16. А Самиот наш Господ Исус Христос и Бог, нашиот Татко, Кој нѐ засака и ни даде вечна утеха и добра надеж преку благодатта
17. нека ги утеши вашите срца и нека ве утврди во секое добро дело и слово!

Глава 3

1. Најпосле, браќа, молете се за нас, та Господовото слово брзо да напредува и да се прославува како и кај вас,
2. а да бидеме избавени од лоши и зли луѓе, зашто сите немаат вера.
3. Но верен е Господ Кој ќе ве утврди и ќе ве запази од злиот.
4. Уверени сме во Господ, за вас, дека го вршите и дека ќе го вршите она што ви го заповедаме.
5. А Господ да ги насочи вашите срца кон Божјата љубов и кон Христовото трпение!
6. А вам ви наложуваме, браќа, во името на нашиот Господ Исус Христос, да се двоите од секој брат, кој води неуреден живот, а не по преданието што го примивте од нас.
7. Навистина, сами знаете како треба да нѐ имате за пример, зашто ние не се однесуваме неуредно меѓу вас,
8. ниту јадевме дарум нечиј леб, туку работевме во труд и напор, ноќе и дење, за да не му бидеме на товар некому од вас.
9. Не затоа што немавме право на тоа, туку за ние самите да бидеме пример што ќе го следите.
10. Зашто и кога бевме со вас, ви го заповедавме ова: ако некој не сака да работи, нека и не јаде!
11. Имено, слушаме дека некои меѓу вас живеат неуредно, ништо не работат, туку се занимаваат со празни работи.
12. На таквите им заповедаме и ги молиме во Господ Исус Христос: да работат со смиреност и да си го јадат својот сопствен леб.
13. А вие, браќа, да не се уморувате правејќи добро!
14. Ако пак некој не го послуша нашиот совет преку писмово, обележете го и не мешајте се со него, за да се засрами.
15. Но не сметајте го за непријател, туку предупредувајте го како брат.
16. А Самиот Господ на мирот секогаш да ви дава мир во секакви околности. Господ да биде со сите вас!
17. Јас, Павле, своерачно ве поздравувам; тоа е белег во секое писмо, јас така пишувам.
18. Благодатта на нашиот Господ Исус Христос да биде со сите вас.

# 2 Коринтјани

Глава 1

1. Павле, апостол на Христос Исус по заповедта на Бог, нашиот Спасител, и на Христос Исус, нашата надеж,
2. до Тимотеј, вистинското чедо во верата. Благодат, милост и мир од Бог Таткото и Христос Исус, нашиот Господ.
3. Како што те молев, кога заминав за Македонија, да останеш во Ефес за да им заповедаш на некои да не поучуваат поинаку
4. и да не се занимаваат со сказни и со бесконечни родословја кои повеќе поттикнуваат расправии, отколку што водат кон претставување на Божјото устројство, кое е по вера.
5. А целта на нашето укажување е: љубов од чисто срце, добра совест и нелицемерна вера,
6. од што некои скршнаа во празни разговори,
7. сакајќи да бидат учители на законот, иако не го разбираат ни она што го зборуваат, ни она што упорно го тврдат.
8. Ние, пак, знаеме дека законот е добар, ако некој го применува законски,
9. знаејќи го ова дека законот не е воспоставен за праведникот, туку за беззакониците и непокорните, за безбожниците и грешниците, за несветите и нечистите, за оние кои ги убиваат своите татковци или мајки, за убијците;
10. за блудниците и за полово изопачените, за отимачите на луѓе, за лажливците, за кривоклетниците и за сè друго што му е противно на здравото учење,
11. според славното Евангелие на благословениот Бог, кое ми беше доверено.
12. Му благодарам на Христос Исус, нашиот Господ, Кој ми даде сила за тоа, зашто ме сметаше верен и ме постави во службата,
13. мене, кој порано бев хулител, и гонител, и насилник. Но ми се укажа милост, зашто го правев тоа од незнаење и неверување.
14. А благодатта на нашиот Господ, преизобилуваше со верата и љубовта во Христос Исус.
15. Веродостојно е словото и достојно за целосно примање дека Христос Исус дојде во светот да ги спаси грешниците, од кои прв сум јас.
16. И токму затоа добив милост, за да ја покаже Христос Исус, прво во мене, сета своја трпеливост, за пример на оние кои ќе поверуваат во Него за вечен живот.
17. На Царот кој е вечен, бесмртен, невидлив, на единствениот Бог - чест и слава во сите векови. Амин!
18. Оваа заповед ти ја предавам, чедо Тимотее, според поранешните пророштва за тебе: за преку нив да ја војуваш добрата битка,
19. имајќи вера и добра совест, кои некои ги отфрлија и претрпеа бродолом во верата.
20. Меѓу нив се Хименеј и Александар, кои ги предадов на сатаната за да научат да не хулат.

Глава 2

1. Затоа, молам, пред сè да се упатуваат молби, молитви, застапувања, благодарности за сите луѓе,
2. за царевите и за сите кои се на власт, за да можеме да водиме спокоен и мирен живот во сета побожност и сериозност.
3. Ова е добро и угодно пред Бог, нашиот Спасител,
4. Кој сака сите луѓе да бидат спасени и да дојдат до целосното познавање на вистината.
5. Зашто еден е Бог, и еден е Посредникот меѓу Бог и луѓето - човекот Христос Исус,
6. Кој се даде Себеси како откуп за сите, за сведоштво во вистинско време.
7. Поради тоа јас бев поставен за гласник, апостол (вистина велам, не лажам) и за учител на неевреите во верата и вистината.
8. Затоа, сакам мажите да се молат на секое место, подигајќи ги светите раце, без гнев и двоумење.
9. Исто така и жените да се украсуваат со пристојна облека, скромно и невпечатливо, не со плетенки и злато, со бисери или со скапоцени облеки,
10. туку со добри дела, како што им прилега на жените кои тврдат дека се побожни.
11. Жената нека се поучува во смиреност и во целосна покорност !
12. А на жената не и дозволувам да поучува, ниту да господари над мажот, туку да биде смирена.
13. Зашто, прво беше создаден Адам, а потоа Ева.
14. И Адам не беше измамен, туку жената откако беше измамена, падна во престап.
15. Но таа ќе биде спасена преку раѓање деца, ако останат во верата, љубовта и во светоста со трезвеност.

Глава 3

1. Веродостојно е словото: кој сака надзорништво, добра работа посакува.
2. Според тоа, надзорникот треба да биде: непорочен, маж на една жена, умерен, разумен, уреден, гостољубив, способен да поучува;
3. не пијаница или жесток, туку трпелив, не наклонет кон расправии, не среброљубец,
4. кој управува добро со својот дом и има покорни деца со сета сериозност
5. (зашто ако не знае да управува со својот дом, како ќе се грижи за Божјата црква?),
6. да не е новообратен за да не се возгордее и да падне во осудата како ѓаволот!
7. А треба да има и добар углед пред надворешните, за да не биде прекоруван и да падне во стапицата на ѓаволот.
8. Исто така, ѓаконите треба да бидат сериозни , не двојазични, да не сакаат многу вино или да се склони кон нечесна печалба,
9. туку такви кои со чиста совест ја пазат тајната на верата.
10. И првин да бидат проверени, а после да ја вршат службата ако се непорочни.
11. Исто така жените треба да бидат сериозни, да не клеветат, трезвени и верни во сѐ.
12. Ѓаконите да бидат мажи на една жена и да управуваат добро со своите деца и со своите домови,
13. зашто оние ѓакони кои ја извршиле добро својата служба, добиваат почесно место и голема смелост во верата во Христос Исус.
14. Ова ти го пишувам надевајќи се дека набргу, ќе дојдам кај тебе;
15. но во случај да се подзабавам, знај какво треба да биде поведението во Божјиот Дом, кој е црквата на живиот Бог, столб и потпора на вистината.
16. А според општото признание, голема е тајната на побожноста: Оној Кој се јави во тело, беше оправдан во Духот, виден од ангелите, беше навестуван меѓу народите, поверуван во светот и вознесен во слава.

Глава 4

1. А Духот јасно вели дека во подоцнежните времиња некои ќе отпаднат од верата и ќе слушаат измамливи духови и демонски учења,
2. преку лицемерството на лажливци кои се жегосани во својата совест,
3. кои забрануваат стапување во брак и бараат воздржување од храна, што Бог ја создал за да ја земаат со благодарност оние кои веруваат, кои ја знаат вистината.
4. Зашто сè што е создадено од Бог добро е, и ништо не треба да се отфрла ако се прима со благодарност,
5. зашто се осветува преку Божјото слово и молитва.
6. Ако им укажуваш за ова на браќата, ќе бидеш добар служител на Христос Исус, и хранет со зборовите на верата и на здравото учење што го следиш.
7. Избегнувај од нечисти и бапски приказни и обучувај се во побожност,
8. зашто телесната обука е малку полезна, а побожноста е полезна за сè, зашто има ветување за сегашниот и идниот живот.
9. Тоа е верodostojно слово и достојно за целосно примање.
10. Затоа ние се трудиме и се бориме, зашто нашата надеж сме ја устремиле кон живиот Бог, Кој е Спасителот на сите луѓе, а особено на верните.
11. Порачувај го и поучувај го ова!
12. Никој да не те презира заради твојата младост, туку, биди им пример на верните во говорот, во поведението, во љубовта, во верата и во чистотата!
13. Додека дојдам внимавај на читањето на словото, на опоменувањето и на поучувањето!
14. Не занемарувај го духовниот дар кој е во тебе, кој ти е даден преку пророштво, со ракополагање од старешините.
15. Размислувај за тоа и биди во тоа, та твојот напредок да им биде видлив на сите!
16. Внимавај на себеси и на учењето! Истрај во него, зашто правејќи го ова ќе се спасиш и себеси и оние кои те слушаат.

Глава 5

1. Не прекорувај строго постар човек, туку опоменувај го како татко, а помладите како браќа,
2. старите жени како мајки, а помладите како сестри, со целосна чистота.
3. Почитувај ги вдовиците - оние кои се навистина вдовици.
4. Ако некоја вдовица има деца или внуци, тие прво нека научат да покажат побожност спрема своето семејство, и да им го возвраќаат нужното почитување на своите родители, зашто тоа е добро и угодно пред Бог.
5. А вистинска вдовица е онаа која останала сосема сама, се надева во Бога и е постојана деноноќно во молби и молитви.
6. А онаа која живее распуштено, уште жива, е мртва.
7. Пренеси го и ова: да бидат непорочни.
8. Ако некој не се грижи за своите, особено за домашните, тој се откажал од верата и е полош од неверник.
9. Во списокот на вдовиците да се запишува само таква вдовица која не е помлада од шеесет години, која била жена на еден маж,
10. која има сведоштво за добри дела, ако одгледала деца, ако била гостољубива спрема туѓинци, ако им миела нозе на светии, ако им помагала на страдалници и ако се посветила на секое добро дело.
11. А помлади вдовици не примај, зашто кога ќе ги привлече насладата, спротивно на Христос, сакаат да се мажат,
12. со што навлекуваат врз себе осуда, зашто отстапиле од првиот завет.
13. А освен тоа, бидејќи се без работа, свикнуваат да одат по куќите. И не само без работа, туку се и зборлести и љубопитни, и зборуваат што не треба.
14. Затоа, сакам младите вдовици да се мажат, да раѓаат деца, да бидат домаќинки, за да не му даваат на противникот никаков повод за прекорување.
15. Имено, некои веќе скршнале и тргнале по сатаната.
16. Ако некоја верна жена има роднини вдовици, нека ги помага, за да не биде оптоварена црквата, та да може да им помага на оние кои се вистински вдовици.
17. На старешините кои добро управуваат, треба да им се укажува двојна чест, особено на оние кои се трудат во проповедање и поучување.
18. Зашто Писмото вели: 'Не врзувај му ја устата на волот што врши;' и: 'Работникот ја заслужува својата заработка.'
19. Не примај обвинение против старешина, освен по изјава на двајца или тројца сведоци.
20. Оние кои грешат укори ги пред сите, за останатите да имаат страв.
21. Те заколнувам пред Бог, пред Христос Исус и пред избраните ангели, да го чуваш ова без предрасуди и да не правиш ништо со пристрасност !
22. Не полагај раце пребрзо на никого и не учествувај во туѓи гревови! Чувај се себеси чист!
23. Не пиј веќе само вода, туку земај по малку вино, заради твојот желудник и честите боледувања.
24. Гревовите на некои луѓе се видливи однапред и пред нив одат на суд, а на некои одат по нив.
25. Исто така и добрите дела се видливи, а и оние што не се, не можат да се скријат.

Глава 6

1. Сите што се под јарем, робовите, своите господари нека ги сметаат достојни за секаква почест, за да не се хули Божјото име и учењето.
2. А оние што имаат верни господари, нека не ги презираат, зашто се браќа, туку нека им служат подобро, зашто оние кои се ползуваат од нивните услуги се верни и возљубени браќа! Така поучувај и поттикнувај!
3. Ако некој поучува инаку и не ги следи здравите зборови на нашиот Господ Исус Христос и на учењето на побожноста,
4. тој е надмен и не знае ништо, и боледува за распрашувања и препирки околу зборови од кои произлегуваат: завист, кавги, хулења, зли сомневања,
5. постојани караници меѓу луѓето со изопачен ум и лишени од вистината, кои мислат дека побожноста е средство за добивка.
6. Всушност, побожноста е голема добивка, кога е споена со чувството на доволност.
7. Зашто ништо не донесовме на овој свет, ниту можеме да однесеме нешто.
8. А кога имаме храна и облека, да бидеме задоволни со тоа!
9. А оние кои сакаат да се богатат, паѓаат во искушение и во стапица и во многу неразумни желби и похоти што ги туркаат луѓето во пропаст и погибел,
10. зашто љубовта спрема парите е коренот на сите зла; некои му се предадоа, скршнаа од верата и си нанесоа многу болки.
11. А ти, Божји човеку, бегај од сето тоа! И стреми се кон праведност, побожност, вера, љубов, трпеливост и кроткост!
12. Војувај ја добрата борба на верата, зграби го вечниот живот за кој си повикан и за кого си дал добра исповед пред многу сведоци!
13. Ти заповедам пред Бога, Кој оживува сè и пред Христос Исус, Кој пред Понтиј Пилат посведочи со добра исповед,
14. да ја чуваш заповедта чиста и непорочна до јавувањето на нашиот Господ Исус Христос,
15. кое, во свое време, ќе Го открие благословениот и единствениот Владетел, Царот на царевите и Господар на господарите;
16. Кој единствено има бесмртност и живее во непристапна светлина, Кого никој од луѓето не Го видел ниту може да Го види. Нему чест и вечна сила. Амин!
17. Заповедај им на богатите на овој свет да не бидат горделиви и да не се надеваат на непостојаното богатство, туку во Бог, Кој ни дава изобилно сè, за наслада,
18. да прават добро, да бидат богати во добри дела, да бидат дарежливи и штедри;
19. да собираат за себе благо како добра основа за иднината, за да зграбат вистински живот.
20. О, Тимотее, чувај го тоа што ти е доверено, и одбегнувај нечисти и празни разговори и противречноста на таканареченото 'познавање',
21. за кое некои се држат и така скршнаа од верата. Благодат со вас.

Глава 1

1. Павле, апостол на Христос Исус по Божја волја, според ветениот живот во Христос Исус,
2. до Тимотеј, моето мило чедо: благодат, милост и мир од Бог Таткото и Христос Исус, нашиот Господ.
3. Му благодарам на Бог Кому со чиста совест Му служам уште од моите прародители, спомнувајќи те постојано, ноќе и дење, во своите молитви;
4. а кога ќе си спомнам за твоите солзи, копнеам да те видам, да се исполнам со радост;
5. зашто си спомнувам за нелицемерната вера што е во тебе, која отпрвин се наоѓаше во твојата баба Лоида и во мајка ти Евникија, а уверен сум дека е и во тебе.
6. Затоа ти напомнувам да го разгоруваш Божјиот дар, кој е во тебе преку моето ракополагање.
7. Зашто Бог не ни даде дух на страшливост, туку дух на сила, љубов и воздржливост.
8. Затоа, не срами се од сведоштвото за нашиот Господ и од мене, затвореникот за Него, туку страдај и ти со мене за Евангелието, според силата на Бог,
9. Кој нѐ спаси и нѐ повика со свето призвание, не според нашите дела, туку по сопствената цел и благодат, која ни беше дадена во Христос Исус уште пред вечни времиња,
10. а која сега се откри преку јавувањето на нашиот Спасител Христос Исус, Кој ја укина смртта и на виделина донесе живот и бесмртност преку Евангелието,
11. за кое јас сум поставен како гласник, апостол и учител.
12. Заради тоа и го поднесувам сето ова, но не се срамам, зашто знам во Кого сум поверувал и уверен сум дека Тој може да го запази она што Му го доверив, сѐ до оној Ден.
13. Држи се за примерот на здравото слово што го имаш чуено од мене во верата и љубовта која е во Христос Исус!
14. Запази го доброто што ти е доверено преку Светиот Дух Кој живее во нас.
15. Ти го знаеш тоа, дека во Азија сите се одвратија од мене, меѓу кои се и Вигел и Ермоген.
16. Господ да му даде милост на домот на Онисофор, зашто повеќепати ме освежи и не се засрами од моите окови,
17. туку, кога дојде во Рим, грижливо ме побара и ме најде.
18. (да му даде Господ да најде милост пред Господа во оној Ден!) А ти, многу добро знаеш каква служба вршеше тој во Ефес.

Глава 2

1. Затоа, ти чедо мое, зајакнувај во благодатта, која е во Христос Исус!
2. И она што го имаш слушнато од мене пред многу сведоци, довери им го на доверливи луѓе, кои исто така ќе бидат способни да поучуваат и други!
3. Поднесувај ги со мене страдањата, како добар воин на Христос Исус!
4. Никој, кој е во воена служба, не се плетка во работите од секојдневието, за да му угоди на оној кој го повикал да биде војник.
5. Исто така, ако некој се натпреварува, не добива венец ако не се натпреварува според правилата.
6. Земјоделецот кој се труди треба прв да вкуси од плодовите.
7. Разбери што зборувам, а Господ ќе ти даде разбирање за сè.
8. Помни Го Исус Христос, Кој воскресна од мртвите, Кој е од Давидовото потомство, според моето Евангелие,
9. за кое страдам сè до окови, како некаков злосторник. Но Божјото слово не е оковано.
10. Заради тоа поднесувам сè заради избраните, та и тие да го добијат спасението во Христос Исус, а заедно со него и вечна слава.
11. Веродостојно е кажаното: 'Ако умревме со Него, со Него и ќе живееме;
12. ако издржиме, со Него и ќе царуваме; ако се откажеме од Него, и Тој ќе се откаже од нас;
13. ако сме неверни, Тој останува верен! Зашто Сам Себе не може да се откаже.'
14. Напомнувај им ги овие работи и наложи им сериозно пред Бог, да не се препираат околу зборови, што е неполезно и што води кон пропаст на слушателите.
15. Труди се да се покажеш себеси проверен пред Бога како работник, кој не треба да се срами, кој правилно го образложува словото на вистината!
16. А одбегнувај непристојни и празни разговори, зашто тоа води кон поголема безбожност,
17. а нивните зборови ќе се шират како рак-рана. Меѓу таквите се Именеј и Вилет,
18. кои скршнаа од вистината, тврдејќи дека воскресението веќе настапило и со тоа ја рушат верата на некои.
19. Сепак, цврсто стои Божјата основа, која го има овој печат: 'Господ ги познава Своите' и 'Секој што Го изговара Господовото име нека отстапи од неправдата!'
20. А во голем дом има не само златни и сребрени садови, туку и дрвени и земјени. Едните се за почесна, а другите за срамна намена.
21. Па така, ако некој се исчисти од овие работи, ќе биде сад за почесна намена, осветен, полезен на господарот и подготвен за секое добро дело.
22. Бегај од страстите на младоста! Стреми се кон праведност, вера, љубов и мир со оние кои Го повикуваат Господа од чисто срце.
23. Отфрли ги безумните и неразумните распрашувања, знаејќи дека раѓаат расправии!
24. А Господовиот слуга не смее да се расправа, туку треба да биде благ спрема сите, способен да поучува и да е трпелив;
25. да ги воспитува со кроткост оние кои се противат, за да им даде Бог покајание, кое води кон целосно познавање на вистината,
26. за да си дојдат на себеси и да избегаат од стапицата на ѓаволот кој ги има заробено за да ја вршат неговата волја.

Глава 3

1. И знај го ова: во последните денови ќе настапат тешки времиња,
2. зашто луѓето ќе бидат себични, среброљупци, фаленичари, горделиви, пцујачи; непокорни на родителите, неблагодарни, несвети;
3. без љубов, непомирливи, злобни клеветници, невоздржани, свирепи, непријатели на доброто,
4. предавници, безобѕирни, надуени, повеќе сластољубиви отколку богољубиви,
5. кои имаат изглед на побожност, а се откажале од нејзината сила; а таквите одбегнувај ги!
6. Зашто меѓу нив има такви кои се вовлекуваат во домовите и ги мамат неразумните жени обременети со гревови, кои се водени од различни страсти,
7. кои постојано учат, а никогаш да дојдат до познавањето на вистината.
8. И како што Јаниј и Јамвриј му се спротивија на Мојсеј, така и овие и се противат на вистината, луѓе со изопачен ум, отфрлени во однос на верата.
9. Но нема да напредуваат веќе, зашто нивното безумие ќе се открие пред сите, како што се откри и на оние двајца.
10. А ти внимателно го следеше моето учење, поведението, замислата, верата, долготрпението, љубовта, истрајноста,
11. прогонствата, страдањата што ми се случија во Антиох, во Иконија и во Листра. Какви прогонства претрпев, а Господ ме избави од сите!
12. А и сите кои ќе живеат побожно во Христос Исус, ќе бидат прогонувани,
13. додека злите луѓе и измамниците ќе напредуваат во злото, мамејќи и бидувајќи мамени.
14. А ти остани во она што си го научил и во што си убеден, зашто знаеш од кого си го научил и
15. зашто уште од детството ги познаваш Светите Писма, кои можат да ти ја дадат мудроста која води кон спасение преку верата во Христос Исус.
16. Целото Писмо е од Бог вдахновено и е полезно за поучување, за прекорување, за поправање и за воспитување во праведност,
17. за да биде Божјиот човек совршен и подготвен за секое добро дело.

Глава 4

1. Те заколнувам пред Бог и Христос Исус, Кој ќе им суди на живите и на мртвите со Неговото јавување и Неговото царство:
2. проповедај го словото, настојувај во време и во невреме, укорувај, предупредувај, охрабрувај со сета трпеливост и со поука.
3. Зашто ќе дојде време кога не ќе го трпат здравото учење, туку според своите похоти ќе си насоберат учители какви што сакаат, па тие да им ги скокоткаат ушите,
4. и ќе ги одвратат ушите од вистината, а ќе се свртат кон приказни.
5. А ти биди трезвен во сѐ, истрпи зло, врши ја работата на евангелист и исполнувај ја својата служба докрај.
6. Зашто јас веќе се излеав и времето на моето заминување настапи.
7. Извојував добра борба, го завршив патот, ја запазив верата.
8. А сега натаму ми е подготвен венецот на праведноста, што ќе ми го даде во оној Ден Господ, Праведниот Судија, и не само мене, туку и на сите кои го засакаа Неговото јавување.
9. Погрижи се набргу да дојдеш кај мене,
10. зашто Димас ме остави, бидејќи го засака сегашниов свет и отиде во Солун. Крискент отиде во Галатија, а Тит во Далмација.
11. Само Лука е со мене. Земи го Марко и доведи го со себе, зашто ми е полезен за службата.
12. Тихик го пратив во Ефес.
13. Кога ќе дојдеш, донеси ми ја наметката што ја оставив во Троја кај Карп и свитоците, особено пергаментните!
14. Бакарџијата Александар ми направи голема пакост; Господ ќе му плати според неговите дела.
15. И ти пази се од него, зашто им се противеше многу на нашите зборови.
16. При мојата прва одбрана никој не беше со мене, туку сите ме оставија; нека не им се припише за зло!
17. Но Господ беше со мене и ми даде сила, за преку мене да се изврши навестувањето, и за да го чујат сите народи; а јас бев избавен од лавовска уста.
18. Господ ќе ме избави од секое зло дело и сигурно ќе ме воведе во Своето небесно царство, на кое слава Му за вечни векови. Амин!
19. Поздрави ги Прискила и Акила и домот на Онисифор!
20. Ераст остана во Коринт, а Трофим го оставив болен на Малта.
21. Погрижи се да дојдеш пред зимата! Те поздравуваат Еубул, Пуден, Лин, Клаудија и сите браќа.
22. Господ да биде со твојот дух! Благодатта да биде со вас.

Ефесјани

Глава 1

1. Павле, Божји слуга и апостол на Исус Христос, според верата на оние кои се избрани од Бог и познавањето на вистината која е според побожноста,
2. со надеж за вечен живот што пред вечни времиња го вети Бог, Кој не може да лаже,
3. а во свое време го објави Своето Слово преку навестувањето, што ми е доверено мене според заповедта на Бог, нашиот Спасител - до Тит, моето вистинско чедо по заедничката вера:
4. благодат, милост и мир од Бог Таткото и Господ Исус Христос, нашиот Спасител.
5. Затоа те оставив на Крит, за да го средиш недовршеното и за да поставиш старешини по сите градови, како што ти наложив:
6. ако некој е непорочен, маж на една жена, ако има деца кои веруваат, кои не се обвинети заради разузданост или непокорност;
7. зашто надзорникот како Божји управител треба да биде непорочен, не самоволен, не гневлив, не пијаница, не тепач, не алчен за нечиста добивка,
8. туку гостољубив, љубител на доброто, разумен, праведен, свет, воздржлив,
9. кој се држи цврсто за веродостојното слово, кое е сходно со учењето, за да може и да поттикнува во здравото учење и да ги изобличува оние кои се противат.
10. Имено, има многу непокорни луѓе, празноречиви и измамници, особено од обрежаните,
11. на кои треба да им се затвори устата, зашто тие заради нечиста печалба растураат цели семејства, поучувајќи го она што не треба.
12. Еден од нив, нивни сопствен пророк, рече: 'Критјаните секогаш се лажливци, зли ѕверови и мрзливи лапачи!'
13. Ова сведоштво е вистинито. Затоа искарај ги строго, за да бидат здрави во верата,
14. за да не им обрнуваат внимание на еврејските сказни и заповедите на луѓето кои ја изопачуваат вистината.
15. За чистите сè е чисто; а за оние кои се осквернети и кои не веруваат, ништо не е чисто, туку осквернети им се и разумот и совеста.
16. Исповедаат дека Го познаваат Бог, но Го одрекуваат со делата, и се одвратни, непослушни и неподобни за какво да било добро дело.

Глава 2

1. А ти говори за она што се совпаѓа со здравата наука.
2. Постарите мажи да бидат трезвени, сериозни, разумни, здрави во верата, во љубовта и во трпението.
3. Исто така, постарите жени да се однесуваат достојно, да не клеветат и да не се оддаваат на многу вино, туку да бидат учителки за доброто,
4. за да ги учат младите жени да ги љубат своите мажи и своите деца,
5. да бидат разумни, чисти, вредни домаќинки, љубезни и покорни на своите мажи, за да не се хули Божјото слово.
6. Исто така, опоменувај ги и младите да бидат разумни.
7. Во сѐ покажи се како пример за добри дела, во чистота на учењето, сериозност,
8. со здрав и беспрекорен говор, за да се засрами секој противник, немајќи што да каже лошо за нас.
9. Робовите нека им се покоруваат во сѐ на своите господари, да настојуваат да им угодуваат, да не им противречат
10. и да не поткрадуваат, туку да ја покажат својата добра вера, та да го украсуваат во секој поглед учењето на Бог нашиот Спасител.
11. Зашто се јави Божјата благодат, која носи спасение за сите луѓе,
12. која нѐ поучува да се откажеме од безбожноста и од световни похоти; да живееме разумно, праведно и побожно во сегашниов век,
13. очекувајќи ја блажената надеж и јавувањето на славата на нашиот велик Бог и Спасител, Исус Христос,
14. Кој се даде Себеси за нас, за да нѐ избави од секакво беззаконие и да си исчисти за Себе сопствен народ, ревносен за добри дела.
15. Зборувај го ова, и опоменувај, и укорувај со целосна власт. Никој да не те презира!

Глава 3

1. Напомнувај им да им се покоруваат на управителите и властите, да бидат покорни и подготвени за секое добро дело;
2. никого да не хулат, да бидат благородни, да не се препираат, покажувајќи секаква кроткост кон сите луѓе.
3. Зашто и ние бевме некогаш неразумни, непокорни, измамени, робови на разни страсти и задоволства, минувајќи го животот во злоба и завист, исполнети со омраза и мразејќи се еден со друг.
4. Но кога се појави добрината на Бог, нашиот Спасител, и Неговата љубов за целото човештво,
5. нѐ спаси не врз основа на праведните дела што сме ги направиле ние, туку по Својата милост, преку капењето на новораѓањето и обновувањето преку Светиот Дух,
6. Кого богато Го излеа на нас преку Исус Христос, нашиот Спасител,
7. та оправдани преку Неговата благодат, да станеме наследници според надежта на вечниот живот.
8. Ова е веродостојно слово, и сакам ова да го говориш со увереност, та оние што поверувале во Бог да се стремат да вршат добри дела. Тоа е добро и полезно за луѓето.
9. А избегнувај ги глупавите распрашувања, родословијата, расправиите и препирките во однос на Законот, зашто се неполезни и безвредни.
10. Избегнувај човек еретик, по првото и второто предупредување,
11. знаејќи дека таквиот човек се изопачил и дека греши, и се осудил самиот себеси.
12. Кога ќе го пратам кај тебе Артема или Тихик, настојувај да дојдеш кај мене во Никопол, зашто решив зимата да ја поминам таму!
13. Грижливо снабди ги за пат законикот Зена и Аполос, за да имаат сѐ што им треба!
14. И нашите нека се учат да се зафаќаат со добри дела, за да ги задоволат неопходните потреби, за да не бидат бесплодни.
15. Те поздравуваат сите што се со мене. Поздрави ги оние кои нѐ љубат во верата. Благодат со сите вас!

Филипјани

Глава 1

1. Павле, затвореник за Христос Исус и братот Тимотеј, до нашиот мил брат и соработник Вилемон,
2. до нашата сестра Апфија, до нашиот соборец Архип и до црквата во твојот дом.
3. Благодат вам и мир од Бог, нашиот Татко, и од Господ Исус Христос.
4. Му благодарам на мојот Бог, секогаш спомнувајќи те во моите молитви,
5. бидејќи слушам за твојата љубов и за верата што ја имаш спрема Господ Исус и спрема сите светии;
6. твоето учество во верата нека биде делотворно преку познавањето на секое добро што е во тебе преку Христос.
7. Зашто имав голема радост и утеха во твојата љубов, бидејќи ти ги освежи срцата на светиите.
8. Затоа, иако имам голема смелост во Христос да ти заповедам да го правиш она што е исправно,
9. заради љубовта повеќе сакам да те молам, јас, ваков каков што сум, Павле, старец, а сега и затвореник за Христос Исус;
10. те молам за моето чедо Онисим, кого го родив во окови,
11. кој некогаш ти беше некорисен, а сега ни е мошне корисен и тебе и мене.
12. Ти го праќам назад, него, срцето мое.
13. Сакав да го задржам кај себе, за да ми служи место тебе во оковите поради Евангелието,
14. но не сакав ништо да сторам без твоја согласност, за да не биде твојата добрина од принуда, туку доброволно.
15. Можеби затоа беше одделен од тебе за малку време, за да го примиш назад засекогаш,
16. но не веќе како роб, туку повеќе од роб - како мил брат, особено за мене, а уште повеќе за тебе, и во телото и во Господа.
17. И така, ако мене ме сметаш за близок, прими го како мене!
18. А ако ти направил некаква штета или ти должи нешто, стави го тоа на моја сметка.
19. Јас, Павле, кој го пишувам ова своерачно, ќе платам; а да не ти спомнувам дека тоа што си, ми го должиш мене.
20. Да, брате, дозволи да видам некаква полза од тебе во Господ; закрепни ми го срцето во Христос.
21. Ти го пишувам ова, имајќи доверба во твојата послушност, зашто знам дека ќе направиш и повеќе отколку што ти барам.
22. А едновремено со тоа приготви ми и сместување, зашто се надевам дека, преку вашите молитви, ќе ви бидам даруван.
23. Те поздравуваат: Епафрас, кој е со мене затвореник за Христос Исус, како и моите соработници Марко, Аристарх, Дима и Лука.
24. Благодатта на Господ Исус Христос нека биде со твојот дух.

Колосјани

Глава 1

1. Бог, Кој од дамнина, многупати и на многу начини им зборуваше на нашите татковци преку пророците,
2. во последниве денови ни зборуваше преку Синот Кого Го постави за наследник на сѐ и преку Кого го создаде и светот.
3. Тој е одблесок на Неговата слава и одраз на Неговото битие, Кој сѐ одржува преку моќта на Својот збор. Откако изврши исчистување на гревовите, седна оддесно на Величеството во висините;
4. и стана толку повозвишен од ангелите, колку што наследи повозвишено име од нив. Христос е повозвишен од ангелите.
5. Зашто, кому од ангелите некогаш му беше рекол: 'Ти си Мојот Син; денес Те родив' и пак: 'Јас ќе Му бидам Татко, а Тој ќе ми биде Син'?
6. И пак, кога Првородениот Го воведе во светот, рече: 'И да Му се поклонат сите Божји ангели!'
7. А за ангелите вели: 'Своите ангели ги прави ветрови а Своите слуги огнени пламени.'
8. А за Синот вели: 'Твојот престол, Боже, е вечен и скиптарот на правдата е скиптар на Твоето Царство.
9. Ја засака праведноста, а го замрази беззаконието, затоа Бог, Твојот Бог Те помаза со масло на радост, како никој од Твоите другари';
10. и: 'Ти, Господи, во почетокот ги положи темелите на земјата, и небесата се дело на Твоите раце.
11. Тие ќе бидат уништени, а Ти остануваш. И ќе остарат како облека,
12. и ќе ги свиткаш како наметка, како облека ќе се променат. А Ти секогаш си истиот и Твоите години немаат крај.'
13. А кому од ангелите некогаш му има речено: 'Седни од Мојата дена страна додека не ги направам Твоите непријатели подношка на Твоите нозе'?
14. Не се ли сите тие прислужнички духови испратени да им служат на оние кои ќе наследат спасение?

Глава 2

1. Затоа треба уште повеќе да внимаваме на она што го чувме, за да не бидеме одвлечени.
2. Зашто, ако словото изговорено преку ангелите беше цврсто, и ако секој престап и секоја непослушност беа соодветно наплатени,
3. како ќе се извлечеме, ако занемариме толку големо спасение, за кое првин зборуваше Господ, и нам ни беше потврдено од оние кои го беа чуле,
4. откако Бог го посведочи со знаци, со чуда и со разни моќни дела, и со раздавање дарови на Светиот Дух, според Неговата волја.
5. Впрочем, не им го потчини на ангели идниот свет, за кого зборуваме.
6. Но некој некаде посведочи, велејќи: 'Што е човекот, та си спомнуваш за него? Или човековиот син, та да ти значи нешто?
7. Го направи само малку помал од ангелите, со слава и чест го овенча;
8. сѐ потчини под неговите нозе.' А кога му потчини сѐ, тој ништо не остави непотчинето на себеси. Но сега уште не гледаме дека му е потчинето сѐ .
9. Но Го гледаме Исус, Кој беше за кратко време помал од ангелите, овенчан со слава и чест заради претрпената смрт, Кој по Божјата благодат ја вкуси смртта за сите.
10. Зашто Му прилегаше Нему, заради Кого е сѐ и преку Кого е сѐ, откако приведе многу синови во слава, преку страдање да стане совршен Автор на нивното спасение.
11. Зашто и Оној Кој осветува и оние кои се осветени, сите се од еден Татко, та затоа не се срами да ги нарече браќа,
12. кога вели: 'Ќе им го навестам Твоето име на Моите браќа, ќе Те воспеам сред соборот';
13. и пак: 'Јас ќе се надевам на Него'; и пак: 'Еве ме мене и моите деца, кои Бог ми ги даде.'
14. Бидејќи, пак, децата имаат учество во телото и крвта, така и Самиот Тој зеде учество во тоа, та со смртта да го обессили оној кој ја имаше власта над смртта, односно ѓаволот,
15. и да може да ги избави оние кои заради стравот од смртта, цел живот беа во ропство.
16. Зашто, навистина, Тој не им помага на ангелите, туку му помага на Авраамовото потомство.
17. Затоа требаше во сѐ да стане како Своите браќа, за да стане милостив и верен Врховен свештеник за нештата кои се однесуваат на Бог, за да биде жртва за помирување за гревовите на луѓето.
18. Бидејќи, и Самиот страдаше кога беше искушуван, затоа може да им помогне на оние кои се искушувани.

Глава 3

1. Затоа, свети браќа, вие кои учествувате во небесното призвание, насочете ги вашите мисли кон Исус, Апостолот и Врховниот свештеник на нашето исповедување,
2. Кој Му беше верен на Оној Кој Го постави, како што беше и Мојсеј во целиот Негов дом.
3. Бидејќи Тој беше удостоен со поголема слава од Мојсеј, како што поголема чест од куќата има оној кој ја изградил.
4. Зашто, секоја куќа е изградена од некого, а Бог е градител на сѐ.
5. Навистина, и Мојсеј му беше верен на целиот Негов дом, како слуга, за сведоштво на оние нешта што требаше да се соопштат подоцна.
6. А Христос беше верен како Син над Својот дом; а Негов дом сме ние, ако докрај ги дочуваме смелоста и радоста на нашата надеж.
7. Впрочем, како што вели Светиот Дух: 'Денес ако го чуете Неговиот глас,
8. не закоравувајте ги вашите срца, како тогаш кога Ме предизвикуваа, како во денот на искушувањето во пустината,
9. каде што вашите татковци се бунтуваа против Мене, предизвикувајќи Ме, и беа очевидци на Моите дела четириесет години.
10. Затоа се разлутив на тоа поколение и реков: - секогаш заблудуваат во своите срца и не ги запознаа Моите патишта -,
11. та во Својот гнев се заколнав: - нема да влезат во Мојот спокој -.'
12. Гледајте, браќа, да не би во некого од вас да има зло срце, што не верува, та да отпадне од живиот Бог.
13. Туку бодрете се еден со друг, секојдневно, додека се вели 'денес', да не би некој од вас да закорави од измамливоста на гревот.
14. Впрочем, ние станавме Христови соучесници, само ако почетната увереност ја запазиме цврсто докрај,
15. така што се вели: 'Денес ако го чуете Неговиот глас, не закоравувајте ги вашите срца, како тогаш кога Ме предизвикуваа.'
16. Имено, кои се тие кои откако чуја Го предизвикаа? Зар не беа тоа сите оние кои излегоа од Египет водени од Мојсеј?
17. А кому му беше гневен четириесет години? Зар не на оние кои згрешија и чии тела паднаа во пустината?
18. А на кои им се заколна дека нема да влезат во Неговиот спокој, ако не на оние кои беа непокорни?
19. И гледаме дека не можеа да влезат поради неверие.

Глава 4

1. И така, да страхуваме да не биде изостанат некои од вас, додека е сѐ уште оставено ветувањето за влегувањето во Неговиот спокој.
2. Зашто и нам ни беше проповедана Добрата Вест како и ним. Но немаа полза од словото што го чуја, зашто не беше проследено со вера кај оние кои го беа чуле.
3. Имено, ние кои поверувавме влегуваме во спокојот, токму како што рече Тој: 'така што во Својот гнев се заколнав: нема да влезат во Мојот спокој'; иако Неговите дела беа завршени уште од основањето на светот.
4. Зашто Самиот за седмиот ден има некаде кажано вака: 'И Бог во седмиот ден се одмори од сите Свои дела.'
5. И пак на тоа место: 'Нема да влезат во Мојот спокој.'
6. И така, бидејќи останува некои да влезат во него, а оние на кои порано им беше проповедано Евангелието не влегоа заради непослушноста,
7. Тој повторно определи еден ден, едно 'денес', зборувајќи преку Давид по долго време, токму како што има кажано порано: 'Денес ако го чуете Неговиот глас, не закоравувајте ги вашите срца.'
8. Зашто, ако Јошуа им дадеше спокој, не би зборувал потоа за друг ден.
9. Значи, на Божјиот народ му останува саботната починка.
10. Имено, оној кој влегол во Неговиот спокој, тој се одморил од своите дела, како и Бог од Своите.
11. И така, да се погрижиме да влеземе во тој спокој, за да не падне некој следејќи го истиот пример на непослушност!
12. Зашто Божјото Слово е живо, делотворно и поостро од секој меч со две сечила, и пробива до разделувањето на душата и духот, на зглобовите и срцевината, и е способно да ги суди мислите и намерите на срцето,
13. и нема создание кое е скриено пред Неговите очи; туку сѐ е голо и откриено пред очите на Оној пред Кого ќе дадеме сметка.
14. И така, бидејќи имаме Врховен свештеник, Кој помина низ небесата - Исус, Божјиот Син, да се држиме цврсто за верата која ја исповедаме!
15. Зашто, немаме врховен свештеник кој не може да сочувствува со нашите слабости, туку таков Кој бил искушуван во сѐ, како нас, но без грев.
16. И така да пристапуваме смело кон престолот на благодатта, за да примиме милост и за да најдеме благодат, која ќе ни помогне во време на нужда.

Глава 5

1. Зашто, секој врховен свештеник, кој е избран од луѓето, се поставува за луѓето, за да служи пред Бог, за да принесува дарови и жртви за гревови;
2. кој може да биде благ кон оние кои се во незнаење и се заблудени, зашто и самиот е подложен на слабости.
3. И заради тоа, должен е да принесува жртви за гревовите, како за народот, така и за себеси.
4. И никој не ја зема честа за себе, туку ја прима кога Бог го повикува, како и Арон.
5. Така и Христос не се прослави Сам Себеси за да стане Врховен свештеник, туку Оној Кој Му рече: 'Ти си Мојот Син; денес Те родив';
6. како што Тој и на друго место вели: 'Ти Си Свештеник во вечни векови, по редот Мелхиседеков.'
7. Тој, во деновите на Својот живот во тело, Му принесе молитви и молби со силно викање и солзи, на Оној Кој можеше да Го спаси од смрт, и беше ислушан заради Својата послушност.
8. Иако беше Син, се научи на послушност од она што го претрпе
9. и откако се усоврши, на сите кои Му се послушни им стана Извор на вечно спасение,
10. одреден од Бог за Врховен Свештеник по редот Мелхиседеков.
11. За него имаме да зборуваме многу, но е тешко да се протолкува, зашто станавте тапи за слушање.
12. Имено, според времето, досега требаше да бидете веќе учители, меѓутоа вам ви е сè уште потребно да ве поучува некој на основните принципи на Божјите откровенија, и потребно ви е млеко, а не тврда храна.
13. Зашто секој што се храни со млеко, не е навикнат во словото на праведноста, зашто е бебе.
14. А тврдата храна е за зрелите, кои преку опитноста ги имаат извежбано сетилата да разликуваат добро и зло.

Глава 6

1. Затоа да го оставиме почетното учење за Христос а да се стремиме кон зрелост и да не поставуваме повторно основа за покајание од мртви дела и за вера во Бог,
2. за учењето за крштавањата, за полагањето на раце, за воскресението на мртвите и за вечниот суд.
3. И тоа ќе го сториме ако дозволи Бог.
4. Зашто за оние кои еднаш биле просветлени, кои го вкусиле небесниот дар, станале соучесници на Светиот Дух
5. и кои ги вкусиле доброто Божјо слово и силите на идниот век,
6. а сепак отпаднале, невозможно е повторно да бидат обновени за покајание, зашто тие повторно за себеси Го распнуваат Божјиот Син и Го изложуваат на јавен срам.
7. Зашто земјата која го впива дождот што често паѓа на неа, и која им раѓа полезни растенија на оние за кои и се обработува, добива благослов од Бог;
8. но ако дава трње и боцки, не чини и е близу да биде проколната; нејзиниот крај завршува во огнот.
9. Иако зборуваме вака, мили мои, уверени сме во подобри нешта за вас - такви кои го придружуваат спасението.
10. Зашто Бог не е неправеден, па да го заборави вашето дело и љубовта што ја покажавте спрема Неговото име, откако им послуживте и сè уште им служите на светиите.
11. Но ние сакаме секој од вас да ја покаже истата ревност, за да има целосна сигурност на надеж до крајот,
12. и да не бидете мрзливи, туку да се угледате на оние кои преку вера и трпение ги наследуваат ветувањата.
13. Навистина, кога Бог му даде ветување на Авраам, немајќи никој поголем за да се заколне во него, се заколна во Самиот Себе,
14. велејќи: 'Навистина ќе те благословам и ќе те преумножам.'
15. И така, чекајќи трпеливо го доби ветеното.
16. Луѓето, всушност, се колнат во она што е поголемо од нив, и кога ќе се заколнат, завршува секаква натамошна расправија меѓу нив.
17. Така и Бог, сакајќи на наследниците на ветувањето посебно да им ја покаже непроменливоста на Својата цел, се послужи со заклетва,
18. така што преку тие две непроменливи работи, со кои не е можно Бог да лаже, нека имаме цврст поттик да ја досегнеме надежта што е поставена пред нас.
19. Неа ја имаме како сигурна и цврста котва на душата, која навлегува и зад завесата,
20. каде што Исус влезе за нас како претходник, откако стана вечен Врховен свештеник според редот Мелхиседеков.

Глава 7

1. Мелхиседек, салимскиот цар, свештеник на Севишниот Бог, кој му излезе во пресрет на Авраам кога се враќаше по колежот над царевите, и го благослови,
2. кому Авраам му оддели десеток од сè, чие име преведено првин значи 'Цар на праведноста', потоа и 'Цар на Салим' односно 'Цар на мирот',
3. без татко, без мајка, без родословје, кој нема ниту почеток на деновите, ниту крај на животот, сличен на Божјиот Син, вечно останува свештеник.
4. Гледате ли колку е голем оној кому патријархот Авраам му даде десеток од најдобриот плен!
5. Навистина и оние од Левиевите синови, кои ја примаат свештеничката служба, имаат заповед според Законот да земаат десеток од народот, односно од своите браќа, иако и тие се Авраамови потомци.
6. Но оној, чие родословје не произлегува од нив, зеде десеток од Авраам и го благослови оној кој ги имаше ветувањата.
7. А без сомнение помалиот е благословен од поголемиот.
8. Згора на тоа, овде смртни луѓе земаат десетоци, а онде, оној за кого се сведочи дека живее.
9. Следствено, Леви кој зема десеток, даде десеток преку Авраам,
10. зашто уште беше во бедрото на својот татко, кога го сретна Мелхиседека.
11. И така, ако совршенството беше преку левитското свештенство (зашто народот го прими Законот под него), каква потреба имаше уште да се издигне друг свештеник по редот Мелхиседеков и да не биде назначен по редот Аронов?
12. Имено, кога се променува свештенството, неопходно се променува и Законот.
13. Бидејќи оној за кого ова се зборува му припаѓа на друго племе, од кое никој не служел при жртвеникот.
14. Зашто сосема е јасно дека нашиот Господ произлезе од Јудиното племе, а за свештенство од ова племе Мојсеј не рече ништо.
15. И станува уште појасно, дека ако се јавил друг свештеник, сличен на Мелхиседек,
16. тој не станал тоа според некој закон на телесните прописи, туку според силата на неуништливиот живот.
17. Зашто за него се сведочи: 'Ти си свештеник во вечни векови, според редот Мелхиседеков.'
18. Имено, од една страна се укинува поранешната заповед, заради нејзината немоќ и бесполезност
19. (зашто Законот не направи ништо совршено), а од друга страна се воведува подобра надеж, преку која се доближуваме до Бог.
20. И покрај тоа што не беше без заклетва
21. (имено, другите станаа свештеници без заклетва, а Тој стана со заклетва преку Оној Кој Му рече: 'Господ се заколна и нема да се предомисли, - Ти си свештеник во вечни векови- ');
22. уште повеќе и Исус стана залог на подобар завет.
23. И тие во голем број станаа свештеници зашто смртта ги спречуваше да продолжат,
24. а Тој, пак, има постојано свештенство, зашто останува во вечни векови.
25. Затоа и може да ги спасува за вечни векови оние кои преку Него доаѓаат кај Бог, зашто Тој секогаш живее, за да се застапува за нив.
26. Зашто таков Врховен свештеник ни требаше и нам: свет, невин, непорочен, одвоен од грешници и повозвишен од небесата,
27. Кој нема секојдневна потреба, како врховните свештеници, да принесува жртви прво за своите гревови, а потоа за гревовите на народот, бидејќи тоа го направи еднаш за секогаш принесувајќи се Самиот Себе.
28. Зашто, Законот поставува немоќни луѓе за врховни свештеници, а зборот на заклетвата, кој дојде по Законот, поставува Син Кој е усовршен во вечни векови.

Глава 8

1. Главното од она што беше кажано, е ова: имаме таков Врховен свештеник, Кој седна оддесно на престолот на Величеството на небесата
2. како служител во Светилиштето и во вистинскиот Шатор, што го подигна Господ, а не човек.
3. Впрочем, секој врховен свештеник се поставува за да принесува и дарови и жртви. Затоа е потребно и тој да има што да принесе.
4. Зашто, ако Тој беше на земјата, не ќе беше ни свештеник, бидејќи веќе има такви кои ги принесуваат даровите според Законот;
5. тие им служат на сликата и на сенката на небесните нешта, како што му беше речено на Мојсеј, кога требаше да го направи Шаторот: 'Гледај', му рече Тој, 'да направиш сè според образецот, што ти беше покажан на гората!'
6. Но сега Тој доби многу повозвишена служба, бидејќи е посредник на подобар завет, што е заснован врз подобри ветувања.
7. Ако оној првиот завет немаше недостаток, не ќе се бараше место за втор,
8. зашто наоѓајќи недостаток, им вели: 'Еве, идат денови - вели Господ -, и ќе склучам нов завет со домот на Израел и со домот на Јуда;
9. не онаков каков што склучив со нивните татковци оној ден кога ги поведов за рака за да ги изведам од египетската земја, зашто тие не му останаа верни на Мојот завет, па Јас ги занемарив - вели Господ -;
10. зашто ова е заветот кој ќе го склучам со домот на Израел по оние денови - вели Господ-. Ќе ги вложам Моите закони во нивниот ум, и ќе ги втиснам на нивните срца. Јас ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат Мој народ.
11. И ниеден веќе нема да го поучува својот сонародник и ниеден својот брат, велејќи: - Познај Го Господа - , зашто ќе Ме познаваат сите, од најмалиот до најголемиот меѓу нив,
12. бидејќи ќе бидам милостив спрема нивните неправди, и нема веќе да си спомнувам за нивните гревови!'
13. А кога вели 'нов', со тоа го прогласил првиот за застарен. А она што застарува и станува излишно не е далеку од исчезнување.

Глава 9

1. Бездруго, и првиот завет имаше уредби за богослужба и за земното светилиште,
2. зашто беше приготвен Шаторот, во чиј надворешен дел беа светилникот, трпезата и обредните лебови, што се вика Свето место.
3. А зад втората завеса, беше другиот дел, наречен Најсвето место
4. со златен олтар за кадење и ковчегот на заветот, опкован со злато од сите страни, во кој имаше златен сад со мана, расцутениот Ааронов жезол и плочите на заветот,
5. а над него херувимите на славата, кои го засенуваа престолот на милоста; но за сето ова сега не можеме да зборуваме подетално.
6. При таквиот распоред, во првиот дел на Шаторот секогаш влегуваат свештениците кога вршат богослужба,
7. а во вториот дел само врховниот свештеник, еднаш во годината, и тоа не без крв, што ја принесува за своите и за гревовите на народот, направени во незнаење.
8. Со тоа Светиот Дух покажува дека патот кон Светото место сѐ уште не беше откриен; додека сѐ уште постоеше првиот дел на Шаторот,
9. кој е симболичен приказ за сегашното време, според кој се принесуваат дарови и жртви, кои не можат совршено да му ја исчистат совеста на оној кој ги принесува,
10. зашто се однесуваат само на храна и пијалак, и разни миења - како прописи за телото, наложени до времето на промената.
11. А кога Христос се јави како Врховен свештеник на идните добри нешта, преку посовршен Шатор, неракотворен, односно, кој не е од ова создавање,
12. влезе еднаш за секогаш во Светото место, и тоа не со крвта на јарци и јунци, туку преку Својата крв, и ни прибави вечен откуп.
13. Зашто, ако крвта на јарците, биковите и пепелта од јуница, со која се попрскуваат осквернетите, осветува за чистење на телото,
14. колку ли повеќе крвта на Христос, Кој преку вечниот Дух Му се принесе Сам Себеси на Бог, без недостаток, ќе ја исчисти вашата совест од мртвите дела, за да Му служите на живиот Бог!
15. Затоа Тој е Посредникот на еден нов завет; за повиканите да го примат ветувањето за вечното наследство, откако поднесе смрт за откуп на престапите направени во првиот завет.
16. Зашто, каде што има завет потребно е да се докаже и смртта на заветувачот.
17. Имено, заветот станува полноважен по смртта, а никогаш не важи додека живее заветувачот.
18. Затоа ни првиот завет не беше воведен без крв.
19. Имено, кога Мојсеј на целиот народ му ја пренесуваше секоја заповед според Законот, земаше крв од јунци и јарци со вода и со црвена волна и со исоп ги попрскуваше свитокот и целиот народ,
20. велејќи: 'Ова е крвта на заветот што Бог го склучи со вас.'
21. А исто така со крвта ги попрскуваше Шаторот и сите богослужбени садови.
22. И по Законот може да се каже дека речиси сѐ се чисти со крв, и без пролевање крв нема проштавање.
23. И така, неопходно беше симболите на небесните нешта да се исчистат со овие нешта, а самите небесни нешта со жртви подобри од овие.
24. Зашто Христос не влезе во ракотворено Свето место, кое е само одраз на вистинското, туку во самото небо, за да се јави сега пред Божјото лице за нас.
25. И не за да се принесе многупати Себеси, како што врховниот свештеник влегува во Светото место секоја година со туѓа крв,
26. зашто инаку ќе требаше да страда многупати од создавањето на светот. Но сега, кон крајот на вековите, Тој се јави еднаш, за да го отстрани гревот со жртвување Себеси.
27. И како што на човекот му е определено да умре еднаш, а потоа на суд,
28. така и Христос, откако беше принесен еднаш за да ги земе гревовите на мнозина, ќе се

јави вторпат не заради грев, туку за спасение на оние кои нестрпливо го очекуваат.

Глава 10

1. Бидејќи Законот е само сенка на идните добри нешта, а не и самата суштина на нештата, не може никогаш со истите жртви, што секоја година постојано се принесуваат, да ги направи совршени оние кои пристапуваат.
2. Инаку, зар не би престанале да ги принесуваат, зашто оние кои ги принесуваат, откако еднаш биле исчистени, веќе не би биле свесни за грев?
3. Но со тие жртви, тие секоја година потсетуваат на гревовите
4. зашто невозможно е крвта на биковите и јарците да отстранува гревови.
5. Затоа, кога Тој влезе во светот, рече: 'Жртви и приноси Ти не посака, но телото ми го подготви.
6. Сепаленици и жртви за грев не Ти се по волја.'
7. Тогаш реков: 'Еве, доаѓам (во свитокот е напишано за Мене) да ја исполнам Твојата волја, О Боже.'
8. Додека погоре пишува: 'Жртви и приноси, сепаленици и жртви за грев не посака, ниту Ти се по волја' (а се принесуваат според Законот),
9. потоа рече: 'Еве, доаѓам да ја исполнам Твојата волја.' Го отстранува првото, за да го воспостави второто.
10. Според таа волја осветени сме преку приносот на телото на Исус Христос еднаш засекогаш.
11. И секој свештеник секојдневно служи принесувајќи ги многупати истите жртви, кои никогаш не можат да отстранат гревови.
12. Но Тој откако принесе само една жртва за гревовите, еднаш за засекогаш, седна оддесно на Бог,
13. и чека сѐ уште додека Неговите непријатели бидат направени подношка за Неговите нозе.
14. Зашто Тој со едно принесување ги направи совршени засекогаш оние кои се осветени.
15. А и Светиот Дух ни сведочи за тоа, откако рече:
16. 'Ова е заветот, што ќе го склучам со нив по оние денови - вели Господ- ќе ги втиснам Моите закони на нивните срца и ќе ги напишам на нивниот ум,
17. и за нивните гревови и за нивните беззаконија нема веќе да си спомнувам.'
18. А каде што има проштавање за овие нешта, таму нема веќе приноси за грев.
19. И така, браќа, имаме слобода да влегуваме во Светото место преку Исусовата крв,
20. Кој низ завесата ни отвори нов и жив пат, кој е Неговото тело,
21. и бидејќи имаме Врховен свештеник над Божјиот дом,
22. да пристапиме со искрено срце во целосна слобода на верата, со срца кои преку попрскување се исчистени од зла совест и со тело измиено со чиста вода.
23. Цврсто да го држиме исповедувањето на нашата надеж, непоколебливо, зашто верен е Оној Кој ветил
24. и да внимаваме на тоа да се поттикнуваме еден со друг кон љубов и добри дела,
25. не напуштајќи ги заедничките собирања, како што некои имаат обичај, туку да се бодриме еден со друг, и тоа толку повеќе, колку што гледате дека наближува Денот!
26. Зашто, ако продолжиме да грешиме свесно откако го примивме познавањето на вистината, нема веќе жртва за гревови,
27. туку само страшно очекување на судот и жестината на огнот, што ќе ги проголта противниците.
28. Кога некој го прекршува Мојсеевиот Закон умира без милост, при сведоштво на двајца или тројца сведоци.
29. Колку построга казна, мислите, ќе заслужи оној кој Го погазил Божјиот Син и ја смета нечиста крвта на заветот, со која бил осветен, и Го навредил Духот на благодатта?
30. Зашто ние Го знаеме Оној Кој рече: 'Одмаздата е Моја, Јас ќе возвратам!' И пак: 'Господ ќе му суди на Својот народ.'

31. Страшно е да се падне во рацете на живиот Бог.
32. Но спомнете си за поранешните денови, кога откако бевте просветлени, претрпевте големи страдања,
33. со тоа што бевте понекогаш јавно изложени на хулења и неволи, а понекогаш станувате соучесници на оние кои така страдаат.
34. Зашто покажавте сочувство спрема оние кои беа во окови и со радост го поднесовте разграбувањето на вашиот имот, знаејќи дека имате подобар и траен имот.
35. И така, не отфрлајте ја вашата доверба, која има голема награда.
36. Имено, вам ви е потребно трпение, па откако ќе ја исполните Божјата волја, да го добиете ветеното.
37. Зашто уште малку, мошне малку, и: 'Оној Кој доаѓа, ќе дојде, и нема да се забави.
38. А Мојот праведник ќе живее по вера; а ако се повлече, на Мојата душа нема да и биде по волја.'
39. Но ние не сме од оние кои се повлекуваат за погибел, туку од оние кои имаат вера за зачувување на душата.

Глава 11

1. А верата е тврда увереност во она на кое се надеваме и осведочување за нештата што не се гледаат.
2. Зашто преку неа претците добија сведоштво.
3. Со вера разбираме дека световите се создадени со Божјиот збор, така што видливото произлегло од невидливото.
4. Со вера Авел Му принесе на Бог подобра жртва од Каиновата, преку која прими сведоштво дека е праведен, зашто Бог посведочи за неговите дарови, и преку вера тој сѐ уште зборува, иако е умрен.
5. Преку вера Енох беше грабнат, за да не види смрт, и не можеше да биде најден, зашто Бог го зеде, бидејќи пред неговото земање, тој доби сведоштво дека Му угодил на Бог.
6. А без вера не е можно да Му се угоди, зашто оној кој Му пристапува на Бог мора да верува дека Тој постои и дека ги наградува оние кои Го бараат.
7. Со вера Ное, откако беше известен за она што уште не се гледаше, со страхопочит, приготви ковчег за спасение на својот дом, со што го осуди светот и стана наследник на праведноста, која е според вера.
8. Со вера Авраам послуша, кога беше повикан да излезе на местото што требаше да го прими во наследство, и тргна не знаејќи каде оди.
9. Преку вера живееше како новодојден во ветената земја, како во туѓа, живејќи во шатори заедно со Исак и Јаков, сонаследници на истото ветување,
10. зашто го очекуваше градот кој има темели, кому Бог му е Градител и Творец.
11. Преку вера и самата Сара стана способна да зачне, иако беше во напредната возраст, зашто Го сметаше за верен Оној Кој и беше ветил.
12. Затоа од еден, и тоа речиси мртов, се роди многу народ 'колку ѕвездите на небото и како песокта на морскиот брег, што не може да се изброи.'
13. Сите овие умреа верувајќи, не добивајќи ги ветувањата, туку само оддалеку ги видоа и ги поздравија, и исповедаа дека се туѓинци и новодојдени на земјата.
14. Зашто, тие кои зборуваат така покажуваат дека бараат татковина.
15. И ако навистина мислеа на онаа од која излегоа, ќе имаа можност да се вратат,
16. но сега, копнеат по подобра, односно небесната. Затоа Бог не се срами да биде наречен нивни Бог, зашто им приготви град.
17. Со вера Авраам, кога беше испитуван, го принесе Исака, и оној кој ги прими ветувањата, го принесе својот единороден син.
18. Нему му беше речено: 'По Исак ќе биде наречено твоето потомство.' Тој сметаше дека Бог може и од мртвите да воскреснува,
19. затоа го прими како претслика на воскресението.
20. Со вера Исак ги благослови Јаков и Есав, и во однос на идните нешта.
21. Со вера Јаков, додека умираше, ги благослови сите Јосифови синови, и им се поклони, потпирајќи се на врвот од овчарскиот стап.
22. Со вера Јосиф, на умирање, спомна за излегувањето на израеловите синови и даде упатства за своите коски.
23. Преку вера Мојсеј, кога се роди, беше криен три месеци од неговите родители, зашто видоа дека детето е убаво и не се уплашија од царската заповед.
24. Преку вера Мојсеј, кога порасна, одби да го нарекуваат син на фараоновата ќерка,
25. и повеќе сакаше да страда заедно со Божјиот народ, отколку да ужива во минливите гревовни наслади.
26. Зашто Христовиот срам го сметаше за поголемо богатство од египетските ризници, бидејќи ја имаше предвид наградата.
27. Преку вера го напушти Египет, не плашејќи се од царевиот гнев, зашто издржа како да Го гледа Невидливиот.

28. Преку вера ја прослави Пасхата и изврши попрскување со крв, за да не го допре оној кој ги сотруваше првородените.
29. Со вера поминаа преку Црвеното Море како по суво, а Египќаните, кога се обидоа, се издавија.
30. Преку вера паднаа ерихонските ѕидини, по седумдневното обиколување околу нив.
31. Преку вера блудницата Рааб не загина со непокорните, откако со мир ги прими извидниците.
32. И што да речам уште? Зашто нема да имам доволно време кога би почнал да раскажувам за Гидеон, Барак, Самсон, Јефтај, за Давид и Самоил, и за пророците
33. кои преку вера победија царства, извршија дела на праведност, добија ветувања, им затворија усти на лавови,
34. ја угаснаа моќта на огнот, го избегнаа сечилото на мечот, од немоќни станаа силни; станаа силни во бој и натераа во бегство туѓи војски.
35. Жени ги примија назад своите умрени преку воскресение, а други беа мачени и не беа избавени, за да добијат подобро воскресение.
36. Други доживеаја подбиви и удари, а покрај тоа и окови и зандана.
37. Беа каменувани, со пила сечени надве, искушувани, умираа од меч, талкаа во овчи и козји кожи; во немаштија, во неволи и мачени
38. (оние за кои светот не беше достоен), талкаа по пустини, по гори, по пештери и по јами вземи.
39. И сите тие, иако се докажаа преку верата, не го примија ветеното,
40. зашто Бог предвиде нешто подобро за нас, за да не дојдат до совршенство без нас.

Глава 12

1. Затоа и ние, кои имаме околу себе толкав облак сведоци, да ги отфрлиме настрана секое бреме и грев кој лесно нѐ сплеткува, и да ја трчаме со трпение трката што ни претстои,
2. гледајќи во Исус, Авторот и Довршителот на нашата вера, Кој поради радоста што беше пред Него, го претрпе крстот, презирајќи го срамот и седна оддесно на Божјиот престол.
3. Размислете за Него, Кој претрпе од грешниците такви противења против Себеси, за да не премалите и се обесхрабрите.
4. Сѐ уште не сте се противставиле до крв во борбата против гревот,
5. и го заборавивте предупредувањето кое ви е наменето вам како на синови: 'Сине мој! Не презирај ги Господовите прекори, ни дух губи кога те прекорува,
6. зашто кого Господ го љуби, него и го кара, а го бие секој син, кого што го прима.'
7. Ако трпите казни, Бог постапува со вас како со синови. Зашто кој е тој син, кого таткото не го казнува?
8. А ако сте пак без казна, од која сите добиле дел, тогаш сте незаконски деца, а не синови.
9. Освен тоа, нашите телесни татковци нѐ казнуваа, и ние ги почитувавме. Зар нема да Му се покориме на Таткото на духовите, и така да живееме?
10. Имено, тие нѐ казнуваа за кратко, како што сметаа дека е најдобро, а Тој нѐ казнува за наша полза, за да станеме учесници во Неговата светост.
11. Навистина, секоја казна во сегашноста не изгледа дека е за радост, туку за жалост. Но, подоцна им донесува мирен плод на праведноста на оние кои се обучувале преку неа.
12. Затоа закрепнете ги премалените раце и немошните колена,
13. и израмнете ги патеките за вашите нозе, за да не се шине сакатиот, туку, напротив, да се исцели.
14. Стремете се кон мир со сите, и кон светоста без која никој не може да Го види Господ,
15. гледајте никој да не остане без Божјата благодат, за да не изникне некој корен на горчина и за да не ве вознемири, за да не се осквернат со него мнозина;
16. да не биде некој блудник или безбожник како Есав, кој за едно јадење го продаде своето првородство,
17. зашто знаете дека подоцна кога посака да го наследи благословот, беше отфрлен, оти не најде место за покајание, иако го бараше со солзи.
18. Зашто, вие не пристапивте кон гора што може да се допре и огнен пламен; ни кон темнина, ни кон мрак, ни кон луња,
19. ни кон звук на труба, ни кон глас на зборови кои звучеа така, што слушателите молеа да не им се зборува веќе,
20. зашто не можеа да ја поднесат заповедта: 'Ако и животно ја допре горecho, ќе биде каменувано.'
21. А глетката беше толку страшна, што и Мојсеј рече: 'Исплашен сум и треперам.'
22. Туку, вие пристапивте до гората Сион, до градот на живиот Бог, небесниот Ерусалим, до десетици илјади ангели,
23. до сеопштиот собор и црквата на првородените, кои се запишани на небесата, и до Бог, Судијата на сите, и до духовите на усовршените праведници;
24. до Исус, посредникот на еден нов завет и до крвта за попрскување, која зборува подобро од Абеловата.
25. Гледајте да не Го одбиете Оној Кој зборува! Зашто, ако не избегаа оние кои Го одбија Оној Кој предупредуваше на земјата, уште помалку ќе избегаме ние, ако се отстраниме од Оној Кој предупредува од небесата!
26. Неговиот глас ја потресе тогаш земјата, а сега ветува, велејќи: ' Јас ќе ја потресам уште еднаш не само земјата, туку и небото.'
27. А тоа 'уште еднаш', укажува на отстранување на оние нешта што може да бидат потресени, како што се создадените нешта, за да останат оние нешта што не можат да бидат

потресени.
28. Затоа, бидејќи примивме Царство кое не може да се расклати, да имаме благодат, и така да Му служиме угодно на Бога каква што милува со страхопочит,
29. зашто нашиот Бог е оган што проголтува.

Глава 13

1. Бидете постојани во братската љубов!
2. Не запоставувајте ја гостољубивоста, зашто некои преку неа, без да знаат, примија ангели на гости!
3. Имајте ги на ум затворениците, небаре сте и вие во пранги, како и измачуваните, зашто и самите сте во тело!
4. Сите да го почитуваат бракот и брачното легло неосквернето, зашто Бог ќе им суди на блудниците и прељубниците.
5. Вашиот начин на живеење нека биде ослободен од среброљубие, бидете задоволни со она што го имате, зашто Тој рече: 'Никогаш нема да те напуштам , ниту ќе те заборавам!'
6. Затоа можеме смело да речеме: 'Господ ми е помошник, нема да се плашам. Што може да ми направи човекот?'
7. Сеќавајте се на оние што ве водеа, кои ви го говореа Божјото слово. Гледајте на резултатот од нивниот начин на живеење, имајте ја за пример нивната вера!
8. Исус Христос е истиот вчера, денес и во вечни векови.
9. Не дозволувајте да ве заведат со разни и туѓи учења, зашто добро е срцето да биде зацврстено со благодат, а не со јадења, од кои немаа полза оние кои живееја така !
10. Ние имаме жртвеник, од кого немаат право да јадат служителите на Шаторот.
11. Зашто телата на животните чија што крв врховниот свештеник ја внесува во Светилиштето како жртва за гревовите, се палат надвор од населбата.
12. Затоа и Исус, за да го освети народот преку Својата крв, настрада надвор од градската порта.
13. И така, да појдеме кон Него, надвор од населбата, носејќи ја Неговата поруга,
14. зашто тука немаме траен град, туку го бараме идниот.
15. И така преку Него постојано да Му принесуваме на Бог благодарствена жртва, односно плод од усните кои му благодарат на Неговото име.
16. А не заборавајте да вршите добри дела и да споделувате со другите, зашто таквите жртви Му се по волја на Бог!
17. Бидете им послушни на вашите водачи и покорувајте им се, зашто тие бдеат над вашите души како такви кои за тоа ќе одговараат. Нека го прават тоа со радост, а не со негодување, зашто тоа не би било полезно за вас.
18. Молете се за нас, зашто сме уверени дека имаме добра совест и сакаме да се однесуваме добро во сè.
19. Згора на тоа, ве молам да го правите тоа за да ви бидам вратен побргу.
20. А Бог на мирот, Кој преку крвта на вечниот завет Го изведе од мртвите Великиот Пастир на овците, нашиот Господ Исус,
21. нека ве усоврши во секое добро за да ја извршувате Неговата волја, вршејќи го во нас она што му е мило Нему, преку Исус Христос, чија слава нека е во вечни векови. Амин!
22. Ве молам, браќа, да го примите ова слово на охрабрување, зашто ви го напишав накратко.
23. Знајте дека нашиот брат Тимотеј е ослободен, и ако дојде наскоро, со него ќе ве посетиме.
24. Поздравете ги сите ваши водачи и сите светии. Ве поздравуваат оние од Италија.
25. Благодат со сите вас.

# 1 Солунјани

Глава 1

1. Јаков, слуга на Бог и на Господ Исус Христос, ви испраќам поздрави на дванаесетте раштркани племиња.
2. Сметајте дека е вистинска радост, браќа мои, кога ќе се сретнете со разни испитувања,
3. знаејќи дека од испитувањето на вашата вера произлегува истрајност!
4. А од истрајноста - совршено дело, за да бидете совршени и целосни, без нешто да ви недостига.
5. Но ако некому од вас му недостига мудрост, нека ја бара од Бога, Кој им дава на сите изобилно и без прекор - и ќе му биде дадена.
6. Но нека бара со вера, без никакво сомнение, зашто оној кој се сомнева е сличен на морски бран кого ветрот го крева и го тера.
7. Таквиот човек нека не мисли дека ќе прими нешто од Господ,
8. зашто човекот кој се двоуми е непостојан на сите свои патишта.
9. Бедниот брат нека се фали со својата возвишеност,
10. а богатиот со својата понизност, бидејќи ќе помине како цветот на тревата.
11. Зашто сонцето изгрева со припек и ја овенува тревата, па нејзиниот цвет окапува и исчезнува убавината на нејзиниот изглед. Така и богатиот ќе овене во своите стремежи.
12. Блажен е човекот кој истрајува во испитувањата, зашто откако ќе биде докажан, ќе го прими венецот на животот што Бог им го вети на оние што Го љубат.
13. Никој, кој се наоѓа во искушение, да не рече: 'Бог ме искушува.' Зашто, Бог не може да биде искушуван од зло, и Тој Самиот никого не искушува.
14. Туку, секој е искушуван кога го влече и го мами неговата сопствена похота.
15. А откако ќе зачне похотата, таа раѓа грев, а извршениот грев раѓа смрт.
16. Не мамете се, мили мои браќа.
17. Секое добиено добро и секој совршен дар, доаѓаат озгора, и слегуваат од Таткото на светлините, кај Кого нема промена, ниту трага од промена.
18. Тој нè роди според Својата волја, преку словото на вистината, за да бидеме првнина меѓу Неговите созданија.
19. Знајте го ова, мили мои браќа: секој нека биде брз во слушањето, а бавен во зборувањето и бавен за гнев,
20. зашто човековиот гнев не ја исполнува Божјата праведност.
21. Затоа отфрлете од себе секаква нечистота, и сè што останало од злобата, и примете го со кроткост во вас всаденото Слово кое може да ги спаси вашите души.
22. И бидете извршители на Словото, а не само слушатели кои се мамат себеси.
23. Зашто, кој го слуша Словото, а не го исполнува, прилега на човек, кој го гледа своето сопствено лице во огледало,
24. па откако ќе се погледне и замине, веднаш заборава каков бил.
25. А кој ќе се загледа во совршениот закон, законот на слободата и остане во него, не како заборавлив слушател, туку како делотворен извршител, тој ќе биде блажен во она што го врши.
26. Ако некој мисли дека е религиозен, а не го зауздува својот јазик, туку го мами своето срце, неговата религија е безвредна.
27. Ова е чиста и неизвалкана религија пред Бога и Таткото: да се посетуваат сираците и вдовиците кога се во нивната невола, и да се биде неосквернет од светот.

Глава 2

1. Браќа мои, имајте вера во нашиот славен Господ Исус Христос и не бидете пристрасни!
2. Зашто ако на вашиот собир дојде човек со златен прстен и со убава облека, а влезе и сиромав во валкана облека,
3. и му укажете посебно внимание на оној во убавата облека, и му речете: 'Ти седни тука на убаво место!' а на сиромавиот му речете: 'Ти стој таму!' или 'Седни долу до моите нозе',
4. не правите ли разлики меѓу себе и така станувате судии со зли мисли?
5. Послушајте, мили мои браќа, не ги избра ли Бог оние кои се сиромаси во очите на светот, за да бидат богати во верата и наследници на Царството кое им го ветил на оние кои Го љубат?
6. А вие го презревте сиромавиот! Не се ли богатите тие што ве угнетуваат и ве влечат по судови?
7. Не го хулат ли тие возвишеното име со кое сте наречени?
8. Ако пак го исполнувате царскиот закон, според Писмото: 'Љуби го својот ближен како самиот себе!'- добро правите.
9. Но ако сте пристрасни, правите грев и законот ве осудува како престапници.
10. Бидејќи кој го запазува целиот закон, а се сопне само во едно, станува виновен за сѐ.
11. Зашто Оној Кој рекол: 'Не врши прељуба!' рекол и : 'Не убивај!' Ако не вршиш прељуба, а убиеш, стануваш престапник на законот.
12. Така зборувајте и така постапувајте како луѓе кои ќе бидат судени според законот на слободата.
13. Зашто осудата ќе нема милост спрема оној кој не покажал милост. Милоста слави победа над осудата.
14. Каква е ползата, браќа мои, ако некој рече дека има вера, а нема дела? Може ли таквата вера да го спаси?
15. Ако некој брат или сестра се без облека и имаат потреба од секојдневна храна,
16. па некој од вас им рече: 'Одете си во мир, стоплете се и наситете се!', а не им го даде она што им е потребно за телото, каква е ползата од тоа?
17. Така е и со верата: ако нема дела, мртва е сама по себе.
18. Впрочем, некој ќе рече: ти имаш вера, а јас имам дела; покажи ми ја својата вера без дела, а јас ќе ти ја покажам верата преку моите дела.
19. Ти веруваш дека има само еден Бог. Добро правиш! И демоните веруваат и треперат.
20. Сакаш ли да разбереш, о суетен човеку, дека верата без дела е бесплодна?
21. Нашиот татко Авраам не беше ли оправдан преку делата кога го принесе својот син Исак на жртвеникот?
22. Гледате дека верата соработуваше со неговите дела, и преку делата верата стана совршена,
23. и така се исполни Писмото, кое вели: 'Авраам Му поверува на Бог, и тоа му се припиша за праведност, и беше наречен Божји пријател.'
24. Ете човекот се оправдува преку дела, а не единствено преку вера.
25. Исто така и блудницата Рааб, не се оправда ли преку дела, кога ги прими гласниците и кога ги испрати по друг пат?
26. Зашто, како што телото без дух е мртво, така и верата без дела е мртва.

Глава 3

1. Не станувајте, браќа мои, мнозина од вас учители, бидејќи знаеме дека ќе бидеме построго осудени за тоа.
2. Зашто сите ние грешиме на разни начини. Ако некој не греши во зборувањето, тој е совршен човек, способен да го заузда и целото свое тело.
3. На коњите им ставаме узда во устата за да ни се покоруваат, па можеме да управуваме со целото нивно тело.
4. Ете, и корабите, иако се толку големи и ги гонат силни ветрови, со нив управува кормиларот со многу мало кормило, каде што ќе посака.
5. Така и јазикот е мал орган од телото, но се фали со големи работи. Ете како мал оган запалува голема шума!
6. И јазикот е оган, самиот свет на беззаконието; јазикот се наоѓа меѓу нашите органи како таков кој го осквернува целото тело и, потпален од пеколот, го запалува нашиот животен тек.
7. Зашто, секаков вид ѕверови и птици, лазачи и морски животни се скротува и бил скротуван од човечкиот род,
8. но никој не може да го скроти јазикот, тоа нескротливо зло, полно со смртоносен отров.
9. Со него Го благословуваме нашиот Господ и Татко, и со него ги проколнуваме луѓето кои се создадени според подобието Божјо.
10. Од иста уста излегуваат благослови и клетви. Браќа, тоа не смее да биде така.
11. Тече ли од извор со ист отвор слатка и горчлива вода?
12. Може ли, браќа мои, смоквата да роди маслинки, или лозата смокви? Ни солениот извор не може да даде слатка вода.
13. Кој е меѓу вас мудар и разумен? Со доброто поведение нека ги покаже своите дела во мудра кроткост.
14. Ако пак во своето срце имате горчлива завист и соперништво, не гордејте се со тоа и не извртувајте ја вистината!
15. Тоа не е мудрост која слегува озгора, туку е земна, душевна, демонска;
16. зашто каде што има завист и соперништво, таму владее безредие и секакво зло.
17. А мудроста која доаѓа озгора, пред сѐ е чиста, потоа миролубива, блага, разумна, полна со милост и добри плодови, непоколеблива и нелицемерна.
18. А семето, чиј плод е праведност се сее во мир преку миротворците.

Глава 4

1. Од каде се војните и од каде се караниците меѓу вас? Не доаѓаат ли од вашите похоти што војуваат во вашите органи?
2. Посакувате а немате, та затоа убивате. Завидливи сте и не можете да добиете; затоа се борите и војувате. Немате затоа што не барате.
3. Барате, но не добивате, зашто барате со лоши цели, за да го трошите на вашите похоти.
4. Прељубници, не знаете ли дека пријателството со светот е непријателство спрема Бог? И така, кој сака да му биде пријател на светот, Му станува непријател на Бог.
5. Или, мислите ли дека Писмото напразно вели: 'до ревност копнее за духот кој Го всели во нас?'
6. Но Тој дава поголема благодат. Затоа вели: 'Бог им се противи на горделивите, а на понизните им дава благодат.'
7. Затоа покорете Му се на Бог, а противставете му се на ѓаволот и тој ќе побегне од вас.
8. Приближете се кон Бог, и Тој ќе се приближи кон вас; исчистете ги рацете, вие грешници, и очистете ги срцата, вие луѓето што се двоумите!
9. Бидете нажалени, тагувајте и плачете; вашата смеа нека се претвори во тага, а радоста во жалост!
10. Понизете се пред Господ, и Тој ќе ве возвиши!
11. Не зборувајте еден против друг, браќа; оној кој зборува против својот брат или го суди својот брат, зборува против законот и го суди законот. А ако го судиш законот, не си извршител на законот, туку негов судија.
12. Има само еден Законодавец и Судија, Оној Кој може да спаси и да погуби. А кој си ти што го осудуваш ближниот?
13. Чујте сега вие, кои велите: 'Денес или утре ќе отидеме во тој и тој град и таму ќе останеме една година, ќе тргуваме и ќе спечалиме',
14. вие, кои не знаете што ќе биде утре. Вие сте пареа која се јавува за кратко и потоа исчезнува.
15. Наместо да велите: 'Ако Господ даде, ќе живееме и ќе направиме ова или она',
16. вие се фалите со својата горделивост. Секоја таква фалба е зла.
17. И така, кој знае да прави добро, а не го прави, чини грев.

Глава 5

1. Ајде сега, вие богатите, плачете и лелекајте за неволите што идат на вас.
2. Вашето богатство изгни и молците ја изедоа вашата облека.
3. Вашето злато и сребро 'рѓосаа, а нивната 'рѓа ќе биде сведоштво против вас и како оган ќе ги голтне вашите тела. Вашето богатство го натрупавте во последните денови.
4. Ете, заработката на работниците кои ги ожнаа вашитениви, што вие им ја задржавте, и викотниците на жетварите дојдоа до ушите на Господ над Војските.
5. На земјата живеевте раскошно и разуздано; ги згоивте своите срца како за ден на клање.
6. Го осудивте, го убивте праведникот, а тој не ви се противи.
7. И така, имајте трпение, браќа, до Господовото доаѓање! Ете, земјоделецот го чека скапоцениот род од земјата, чека трпеливо додека не ги добие раните и доцните дождови.
8. Чекајте трпеливо и вие, зацврстете ги своите срца, зашто близу е Господовото доаѓање.
9. Не роптајте, браќа, еден против друг, за да не бидете осудени; ете, Судијата стои пред врата.
10. Како пример за страдањата и долгата трпеливост земете ги, браќа, пророците кои зборуваа во Господовото име.
11. Ете, блажени ги нарекуваме оние кои истрајаа. Чувте за трпението на Јоб, и видовте како Господ го заврши тоа; зашто Господ е полн со милост и сочувство.
12. А пред сѐ, браќа мои, не заколнувајте се ни во небото, ни во земјата, ниту со некаква друга заклетва! Туку вашето 'да', да биде 'да', а вашето 'не' - 'не', за да не паднете под осуда.
13. Страда ли некој меѓу вас, нека се моли. Весел ли е некој, нека пее псалми.
14. Боледува ли некој меѓу вас? Нека ги повика старешините на црквата, тие нека се помолат над него и нека го помазат со миро во името на Господа,
15. а молитвата со вера, ќе го исцели болниот и Господ ќе го крене, и ако направил гревови, ќе му бидат простени.
16. И така, исповедајте си ги гревовите еден на друг и молете се еден за друг, за да оздравите! Делотворната молитва на праведникот има голема сила.
17. Илија беше човек ист како и ние, и искрено се помоли да нема дожд, и не падна дожд на земјата три години и шест месеци.
18. И пак се помоли, па небото истури дожд и земјата го даде својот плод.
19. Браќа мои, ако некој меѓу вас скршне од вистината и ако некој го врати,
20. нека знае дека оној кој ќе врати грешник од неговиот погрешен пат, ќе ја спаси неговата душа од смрт и ќе покрие многу гревови.

# 2 Солунјани

Глава 1

1. Петар, апостол на Исус Христос, до избраните кои живеат како новодојдени, раштркани по Понт, Галатија, Кападокија, Азија и Битинија,
2. одбрани според провидението на Бог Таткото, преку осветувањето на Духот, за послушност и попрскување со крвта на Исус Христос: да ви се множат благодатта и мирот.
3. Благословен да е Бог, Таткото на нашиот Господ Исус Христос, Кој по Својата голема милост нѐ роди одново за жива надеж, преку воскресението на Исус Христос од мртвите,
4. за нераспадливо и неизвалкано наследство, кое не венее, запазено на небесата за вас,
5. кои сте зачувани со Божјата сила, преку верата, за спасение, готово да се открие во последно време.
6. А за ова радувајте се многу, иако сега за кратко можеби бевте на мака од разни испитувања,
7. та вредноста на вашата вера, која е поскапоцена од пропадливо злато, кое се испробува во оган, да се покаже за пофалба, слава и чест, при откровението на Исус Христос,
8. Кого Го љубите иако не сте Го виделе, во Кого верувате, иако сега не Го гледате, и се радувате со неискажлива радост полна со слава,
9. постигнувајќи ја целта на својата вера: спасение на душите.
10. Ова спасение го истражуваа и го испитуваа пророците, кои пророкуваа за благодатта што требаше да дојде.
11. Тие испитуваа на кого и на какво време посочуваше Христовиот Дух, Кој беше во нив, кога однапред навестуваше за Христовите страдања и за идната слава.
12. Ним им беше откриено дека не си служеа себеси, туку вам, со овие нешта што сега ви ги објавија преку оние кои ви го проповедаа Евангелието преку Светиот Дух кој беше испратен од небото, нешта во кои ангелите копнеат да наѕрат.
13. Затоа, соберете си го умот, бидете трезвени, утврдете ја вашата надеж целосно во благодатта која ќе ви биде донесена при откровението на Исус Христос.
14. Како послушни чеда, не сообразувајте се според некогашните похоти што ги имавте за време на незнаењето,
15. туку како и Светиот Кој ве повика, бидете и самите свети во сето свое поведение,
16. зашто е напишано: 'Бидете свети, бидејќи Јас сум свет.'
17. И ако Го нарекувате Татко Оној Кој непристрасно го суди секој поединец според делата, поминете го со страхопочит времето на својот животен пат,
18. знаејќи дека не сте откупени со распадливи нешта, како сребро или злато, од својот суетен живот што го имате наследено од вашите претци,
19. туку со скапоцената крв на Христос како невино и чисто Јагне,
20. Кој навистина беше предопределен пред создавањето на светот, а се јави во овие последни времиња заради вас;
21. кои преку Него верувате во Бог Кој Го воскресна од мртвите и Му даде слава, та вашата вера и вашата надеж да бидат во Бога.
22. Бидејќи ги исчистивте вашите души во послушност спрема вистината, за нелицемерно братољубие, сакајте се искрено еден друг од сѐ срце,
23. зашто сте новородени не од распадливо семе, туку од нераспадливото живо и вечно Божјо слово.
24. Зашто 'секое тело е како трева и сета негова слава како цвет од трева: тревата венее и цветот отпаѓа,
25. а Господовиот збор останува во вечни векови.' Тоа е зборот, кое ви беше проповедано како Евангелие.

Глава 2

1. И така, оставајќи ги настрана секоја злоба и секаква измама, лицемерство, завист и сите клевети,
2. како новороденчиња, копнејте по духовното, вистинско млеко на словото, па со него да пораснете за спасението,
3. ако сте вкусиле дека Господ е добар.
4. Пристапувајќи Му Нему како на жив камен, Кого луѓето Го отфрлија, но Кој е од Бог избран и скапоцен,
5. и вие самите, како живи камења, изградувајте се како духовен дом, за свето свештенство, за да принесувате духовни жртви, прифатливи за Бог, преку Исус Христос.
6. Зашто вака стои во Писмото: 'Еве, поставувам на Сион Камен темелник, одбран и скапоцен, и кој верува во Него, нема да се засрами.'
7. Оваа скапоценост, значи, е за вас кои верувате, а за оние кои не веруваат:'Каменот, што го отфрлија ѕидарите, стана камен темелник'
8. и 'камен за сопнување и карпа за соблазнување', тие се сопнуваат, бидејќи му се непокорни на словото, за што се и определени.
9. А вие сте избран род, царско свештенство, свет народ, кој Му припаѓа на Бог, за да ги прогласите доблестите на Оној Кој ве повика од темнината во Својата чудесна светлина.
10. Вие кои некогаш не бевте народ, сега сте Божји народ; вие кои некогаш не добивте милост, сега сте помилувани.
11. Мили мои, ве молам, како туѓинци и новодојдени, да се воздржувате од телесните похоти, кои војуваат против душата.
12. Однесувајте се примерно меѓу многубошците, токму во она за што ве клеветат како злосторници; така што врз основа на вашите добри дела, кога ќе ги видат, да Го прославaт Бог во денот на посетата.
13. Заради Господ, покорувајте и се на секоја човечка власт: било на царот, како владетел,
14. било на управителите, како негови пратеници пратени од Него да ги казнуваат злосторниците, а да ги пофалуваат оние кои прават добро!
15. Зашто ова е Божја волја: правејќи добро, да го замолкнете незнаењето на неразумните луѓе.
16. Дејствувајте како слободни и не употребувајте ја слободата како оправдување на злото, туку користете ја како Божји слуги!
17. Почитувајте ги сите, негувајте братољубие, бојте се од Бог, почитувајте го царот!
18. Слуги, покорувајте им се на своите господари со целосна почит, но не само на добрите и кротките, туку и на суровите!
19. Зашто тоа се цени, ако заради својата совест пред Бог, човек трпи и тагува кога неправедно страда.
20. Инаку, каква е пофалбата ако трпите кога ве казнуваат за вашите престапи? Но, ако страдате и трпите кога правите добро, тоа е благодат пред Бога.
21. Зашто за тоа сте повикани, бидејќи и Христос страдаше за вас и ви остави пример, та и вие да врвите по Неговите стапки.
22. Тој не направи грев и не се најде измама во Неговата уста.
23. Тој, Кој беше навредуван, не возвраќаше со навреда; кога страдаше - не се закануваше, туку се предаде Себеси на Оној Кој суди праведно.
24. Тој Сам во Своето тело ги понесе нашите гревови на дрвото, та ние, умирајќи за гревот, да живееме за праведноста; преку Неговите рани се исцеливте.
25. Зашто талкавте како овци, но сега се вративте кај Пастирот и Чуварот на вашите души.

Глава 3

1. Така и вие, жени, бидете им покорни на своите мажи, та ако некои не му бидат послушни на словото, да бидат придобиени без зборови, преку поведението на своите жени,
2. кога ќе го видат вашето непорочно и чесно поведение.
3. Вашето украсување да не биде надворешно: во плетење на косата, во китење со златен накит или во раскошно облекување,
4. туку во скриената личност во срцето, во нераспадливиот украс на кроткиот и тивок дух, што е од голема вредност пред Бога.
5. Зашто така некогаш се украсуваа светите жени кои се надеваа во Бог, и им се покоруваа на своите мажи,
6. како што Сара му беше послушна на Авраам и го нарекуваше господар, а вие сте нејзини ќерки, кога правите добро, немајќи страв од ништо.
7. А и вие, мажи, живејте во слога со жените како со послаб сад и искажувајќи им почит како на сонаследнички на благодатта на животот, за да не бидат спречувани вашите молитви.
8. На крајот, бидете сите едномислени, сочувствителни, братољубиви, љубезни и понизни;
9. не враќајте зло за зло или навреда за навреда, туку, напротив, благословувајте, бидејќи повикани сте токму за тоа, за да наследите благослов.
10. Зашто 'кој сака да го љуби животот и да види добри денови, нека си го воздржува јазикот од зло и усните од измама;
11. нека е скраја од злото и нека прави добро, нека бара мир и нека се стреми кон него;
12. зашто Господовите очи бдеат над праведниците и Неговите уши ја слушаат нивната молитва, а Господовото лице е против оние кои вршат зло.'
13. И кој ќе ви напакости, ако покажувате ревност за доброто?
14. А ако и страдате заради праведноста, блажени сте! 'Не вознемирувајте се и не плашете се од нивните закани,'
15. туку прославувајте Го во своите срца Христос како Господ, секогаш готови да му одговорите на секој што бара одговор за надежта која е во вас, но со кроткост и страхопочит,
16. имајте добра совест, та оние кои го навредуваат вашето добро поведение во Христос, да се посрамат за она за што ве клеветат.
17. Зашто подобро е, ако е по Божјата волја да страдате правејќи добро, отколку правејќи зло.
18. Зашто и Христос умре за гревовите еднаш засекогаш, Праведниот за неправедните, за да може да нè одведе кај Бог; убиен во телото, но оживеан во духот;
19. во кој отиде и им проповедаше на духовите, кои се сега затворени,
20. кои некогаш беа непокорни, кога Божјото трпение ги чекаше во Ноевото време, додека се градеше ковчегот, во кој само неколкумина, односно осум души, се спасија преку водата.
21. Во согласност со овој приказ, сега крштавањето ве спасува, кое не е отстранување на телесната нечистотија, туку е покажување на добра совест спрема Бог, преку воскресението на Исус Христос,
22. Кој Му е оддесно на Бог, откако отиде на небото каде Му се потчинија и ангелите и властите и силите.

Глава 4

1. И така, бидејќи Христос настрада за нас во телото, вооружете се и вие со истата цел - зашто оној кој настрадал во тело прекинал со гревот,
2. та преостанатото време на животот, во телото, да не го поминете според човечките похоти, туку според Божјата волја,
3. бидејќи доволно е тоа што во минатото ги спроведувавте желбите на многубошците трчајќи по сладострастие, похоти, пијанство, гозби, пијанки и гнасно идолопоклонство.
4. Затоа сега и се чудат дека вие не трчате со нив во истата крајност на развратот, и затоа ве клеветат.
5. Но тие ќе Му дадат сметка на Оној Кој е готов да им суди на живите и на мртвите.
6. За таа цел им беше проповедано Евангелието и на оние кои се мртви, та иако тие се судени во тело како луѓе да живеат во дух според Бог.
7. А наближи крајот на сè. Затоа бидете разумни и со трезвен дух во молитвите.
8. Пред сè, имајте сесрдна љубов меѓу себе, зашто љубовта покрива многу гревови.
9. Бидете гостољубиви еден спрема друг, без негодување.
10. Бидејќи секој од вас добил дар, користете го во служба еден на друг како добри управители на многукратната Божја благодат.
11. Ако некој говори, нека зборува како да се Божји зборови; ако некој служи, нека служи како со силата која Бог ја дава, за во сите работи да се прослави Бог преку Исус Христос, Кому Му припаѓаат славата и власта во сите векови. Амин.
12. Мили мои, не чудете се на огненото испитување што се појави меѓу вас, за да ве испита, небаре ви се случува нешто необично,
13. туку, радувајте се дека соучествувате во Христовите страдања, за да можете да се радувате и веселите при откровението на Неговата слава.
14. Блажени сте ако ве напаѓаат заради Христовото име, зашто тогаш Духот на славата и Божјиот Дух почива врз вас.
15. Никој од вас да не страда како убиец, или крадец, или злосторник или како оној што се меша во туѓи работи;
16. но, ако страда како христијанин, да не се срами, туку да Го слави Бог со тоа име,
17. зашто време е судот да почне од Божјиот дом, а ако почнува прво од нас, каков ли ќе им биде крајот на оние кои не му се покоруваат на Божјото Евангелие?
18. И 'ако праведникот одвај се спасува, што ќе стане со безбожникот и грешникот?'
19. Затоа и оние кои страдаат по Божја волја, да Му ги доверат своите души на верниот Создател, правејќи добро.

Глава 5

1. Затоа старешините меѓу вас ги поттикнувам јас кој сум и самиот старешина и сведок на Христовите страдања и учесник во славата која ќе се открие:
2. пасете го Божјото стадо, кое е меѓу вас и надгледувајте го, не со принуда, туку доброволно, како што Бог сака; не со желба за нечесна печалба, туку со искрено срце;
3. и не како да господарите над такви кои ви се доверени, туку бидете му пример на стадото.
4. А кога ќе се појави Врховниот Пастир, ќе примите венец на слава, што не венее.
5. Така и вие помладите, покорувајте им се на старешините. А сите, препашете се со понизност еден спрема друг, зашто 'Бог им се противи на горделивите, а на понизните им дава благодат.'
6. И така, понизете се под моќната Божја рака, за да ве возвиши во погодно време.
7. И секоја своја грижа фрлете ја на Него, зашто Тој се грижи за вас.
8. Бидете со трезвен дух и бдејте: вашиот противник, ѓаволот, обиколува како лав што рика, барајќи некого да го проголта.
9. Спротивете му се, цврсти во верата, знаејќи дека истите страдања им се случуваат и на вашите браќа по светот.
10. А откако ќе претрпите уште малку, Бог на секоја благодат, Кој ве повика во Христос кон Својата вечна слава, Самиот ќе ве усоврши, ќе ве потврди, зајакне и утврди.
11. Нека има власт во сите векови. Амин!
12. По Силван, нашиот верен брат, каков што го сметам, ви го напишав ова накратко, за да ве поттикнам и да ви посведочам дека ова е вистинска Божја благодат, во која цврсто стоите.
13. Поздрави ви праќа црквата од Вавилон, која е избрана заедно со вас, како и мојот син Марко.
14. Поздравете се еден со друг со целив на љубов. Мир вам кои сте во Христос.

# 1 Тимотеј

Глава 1

1. Симон Петар, слуга и апостол на Исус Христос, до оние кои преку праведноста на нашиот Бог и Спасител, Исус Христос, ја примија истата скапоцена вера како и ние:
2. да ви се множат благодатта и мирот во познавањето на Бог и Исус, нашиот Господ.
3. Неговата божествена сила ни подари сѐ што ни е потребно за животот и побожноста, преку вистинското познавање на Оној Кој нѐ повика преку Својата сопствена слава и доблест,
4. со што ни се подарени Неговите скапоцени и величествени ветувања, та преку нив да станете соучесници во божествената природа, откако се оттргнавте од расипаноста, која преку похотата владее во светот;
5. токму заради ова, вложете ја сета своја сила, и исполнете ја својата вера со доблест, а доблеста со знаење;
6. а знаењето со самоконтрола; а самоконтролата со трпение; а трпението со побожност;
7. а побожноста со братољубие; а братољубието со љубов.
8. Зашто, ако го имате сето тоа и ако тоа се умножува, не сте бескорисни, ниту бесплодни во познавањето на нашиот Господ Исус Христос,
9. но, оној кој го нема тоа, е слеп или кусоглед, зашто заборавил дека е исчистен од своите минати гревови.
10. Затоа, браќа, трудете се уште повеќе да го зацврстите вашето призвание и избор. Имено, ако го правите тоа, никогаш нема да се сопнете.
11. Зашто така во изобилство ќе ви се даде влегувањето во вечното Царство на нашиот Господ и Спасител Исус Христос.
12. Затоа ќе гледам секогаш да ве потсетувам за овие работи, иако вие ги знаете и сте зацврстени во вистината што ја имате.
13. Но сметам дека имам право, додека сум во ова телесно живеалиште, да ве поттикнувам со потсетување,
14. зашто знам дека наскоро ќе го оставам моето земно живеалиште, како што јасно ми стави до знаење нашиот Господ Исус Христос.
15. А ќе настојувам вие, и по моето заминување, секогаш да си спомнувате за ова.
16. Впрочем, кога ви ги објавивме силата и доаѓањето на нашиот Господ Исус Христос, ние не одевме по лукаво измислени сказни, туку бевме очевидци на Неговото величество.
17. Зашто кога Тој прими од Бог Таткото чест и слава, од величествената слава Му дојде овој глас: 'Овој е Мојот возљубен Син, Кој е по Мојата волја',
18. а ние го чувме тој глас кој дојде од небото, кога бевме со Него на светата гора.
19. И така, имаме поцврсто пророчко слово; а вие правите добро што внимавате на него, како на светило што свети во темно место, додека не осамне денот и ѕвездата Деница не болсне во вашите срца.
20. Но знајте го пред сѐ ова: ниедно пророштво во Писмото не е од нечие сопствено толкување,
21. зашто никогаш ниту едно пророштво не потекнува од човечка волја, туку луѓе поттикнати од Светиот Дух зборувале од Бога.

Глава 2

1. Но се јавија и лажни пророци кај народот, како што ќе има и меѓу вас лажни учители, кои тајно ќе внесуваат погубни ереси и ќе Го порекнуваат Господарот Кој ги откупил, навлекувајќи врз себе брза погибел.
2. И мнозина ќе тргнат по нивната разузданост, заради кои ќе се зборува лошо за патот на вистината.
3. И во лакомство ќе ве искористуваат со измислени зборови, но нивната осуда одамна е изречена и нивната гибел не дреме.
4. Зашто ако Бог не ги поштеди ангелите кои згрешија, туку ги фрли во мрачните бездни и ги предаде да бидат чувани за суд;
5. и ако не го поштеди стариот свет, туку го зачува Ное, проповедникот на правдата, со уште седум души, кога сурна потоп врз безбожниот свет;
6. и ако ги осуди на пропаст градовите Содом и Гомора и ги претвори во пепел, и ги постави за пример на идните безбожници;
7. и ако го избави праведниот Лот, кого го мачеше развратниот живот на беззакониците
8. (зашто овој праведник, живеејќи меѓу нив, ја измачуваше секојдневно својата праведна душа, гледајќи ги и слушајќи ги нивните беззаконски дела),
9. тоа значи дека Господ знае како да ги избави побожните од искушенија, и неправедните да ги држи по казна до денот на судот;
10. а особено оние кои одат по осквернувачките похоти на телото и ја презираат власта. Како дрски и своеволни луѓе, тие не треперат кога ги хулат величијата,
11. додека ангелите, кои се поголеми по сила и моќ, не изговараат хулна осуда против нив пред Господ.
12. А овие, како неразумни животни, кои се по природа определени да бидат ловени и истребувани, хулат на она што не го знаат, и самите ќе загинат како што гинат животните,
13. со што ќе им се плати за нивните недела. Тие го сметаат развратниот живот дење како задоволство; валкани и срамни се тие, кои се честат и насладуваат во своите измами кога се гостат со вас,
14. а нивните очи се полни со прељуба и не престануваат да грешат; ги заведуваат незацврстените души; срцето им е навикнато на лакомство; тие се проколнати деца.
15. Оставајќи го вистинскиот пат заблудија, и тргнаа по патот на Балаам, синот на Беор, кој посака неправедна плата,
16. но прими прекор за својот престап, зашто немо магаре проговори со човечки глас и го спречи безумството на пророкот.
17. Тие се безводни извори и облаци терани од ветрот; на кои им е наменета црната темнина.
18. Зашто со тоа што дрдорат благозвучни, суетни зборови, ги мамат преку телесните наслади оние кои одвај се оттргнале од оние кои живеат во заблуда;
19. им ветуваат слобода, а самите и робуваат на расипаноста, бидејќи од она со кое човекот е надвладеан, на тоа и му робува.
20. Зашто ако се оттргнаа од световната расипаност оние со вистинското познавање на Господ и Спасителот Исус Христос и се заплеткуваат во неа и се надвладеани, тогаш ова последново им е полошо од првото.
21. Имено, за нив би било подобро да не го познаваа патот на праведноста, отколку, откако го познаа, да се одвратат од светата заповед која им е предадена.
22. Ним им се случува она што го вели потврдената поговорка: 'Песот се враќа на својата блујавица' и 'Избањатата свиња се враќа да се валка во калта.'

Глава 3

1. Мили мои, ова е веќе второ писмо што ви го пишувам, и го будам, преку напомнување, вашиот чист разум,
2. за да си ги спомните зборовите што однапред ги кажаа светите пророци, и за заповедта на Господ и Спасителот, која ви ја предадоа вашите апостоли.
3. Знајте го пред сè ова: во последните дни ќе се јават подбивачи, кои со своето подбивање ќе одат по сопствените похоти и ќе велат:
4. 'Каде е ветувањето за Неговото доаѓање? Зашто откако починаа татковците сè стои така како што е од почетокот на создавањето.'
5. Кога така сметаат, заборават дека преку Божјото слово небесата одамна постојат, и дека земјата беше создадена од водата и преку водата,
6. преку која тогашниот свет беше потопен со вода, и така беше уништен.
7. А сегашните небеса и земјата, со истото слово се запазени и се чуваат за оган до денот на судот и погибелта на безбожните луѓе.
8. Но едно не смее да ви биде непознато, мили мои: дека за Господ еден ден е како илјада години, и илјада години се како еден ден.
9. Господ не го забавува ветувањето, како што некои мислат за тоа бавење, туку е трпелив спрема вас, зашто не сака некој да загине, туку сите да дојдат до покајание.
10. А Господовиот ден ќе дојде како крадец. Во тој ден небесата ќе поминат со голема бучава, а состојките ќе бидат уништени и земјата ќе изгори со сите нејзини дела.
11. Бидејќи сето ова ќе се уништи така, какви треба да бидете во светото поведение и побожноста
12. вие кои го очекувате и забрзувате доаѓањето на Божјиот ден, кога запалените небеса ќе се распаднат, состојките ќе се стопат со огромна жештина?
13. А ние, според Неговото ветување, очекуваме нови небеса и нова земја, каде суштествува праведноста.
14. Затоа, мили мои, бидејќи го очекувате ова, погрижете се Тој да ве најде во мир, неопоганети и непорочни.
15. А долгата трпеливост на нашиот Господ сметајте ја како спасение, како што и нашиот сакан брат Павле ви напиша, според дадената му мудрост;
16. како што и во сите негови посланија зборува за ова; во нив има некои тешко разбирливи нешта, кои неуките и незацврстените ги изопачуваат, како, впрочем, и другите Писма, за своја погибел.
17. И така, вие, мили мои, кога го знаете ова однапред, пазете се да не ве повлече со себе заблудата на беззакониците и да не отпаднете од својата непоколебливост,
18. туку растете во благодатта и во познавањето на нашиот Господ и Спасител Исус Христос. Слава Му сега и до денот на вечноста!

# 2 Тимотеј

Глава 1

1. Она што беше од почетокот, што го чувме, што го видовме со своите очи, што го гледавме и што го опипаа нашите раце, за Словото на Животот -
2. тој живот се јави, а ние Го видовме и сведочиме и ви го објавуваме вечниот живот, Кој беше со Таткото и ни се јави нам;
3. она што го видовме и чувме, тоа ви го навестуваме и вам, та и вие да имате општење со нас. А нашето општење е со Таткото и со Неговиот Син Исус Христос.
4. Ние ви го пишуваме ова, за да биде нашата радост целосна.
5. Ова е пораката што ја чувме од Него и што ви ја објавуваме вам: Бог е светлина и во Него нема никаква темнина.
6. Ако речеме дека имаме општење со Него, а одиме во темнина, лажеме и не ја вршиме вистината.
7. Ако пак одиме во светлина, како што е Тој Самиот во светлина, имаме општење еден со друг, и крвта на Неговиот Син Исус Христос нѐ исчистува од секој грев.
8. Ако речеме дека немаме грев, се мамиме самите себеси, и вистината не е во нас.
9. Ако ги исповедаме своите гревови, Тој е верен и праведен да ни ги прости гревовите и да нѐ исчисти од секаква неправедност.
10. Ако речеме дека не сме згрешиле, Него Го правиме лажливец, и Неговото слово не е во нас.

Глава 2

1. Чеда мои, ова ви го пишувам за да не грешите, а ако некој згреши, имаме Застапник пред Таткото - Исус Христос, Праведникот.
2. Тој е жртва за помирување на нашите гревови, и не само на нашите, туку и на гревовите на целиот свет.
3. И по тоа знаеме дека Го познаваме, ако ги вршиме Неговите заповеди.
4. Оној кој вели: 'Го знам', а не ги врши Неговите заповеди, лажливец е и вистината не е во него.
5. А кој го врши Неговото слово, во него Божјата љубов навистина стигнала до совршенство. Според ова знаеме дека сме во Него:
6. оној кој вели дека останува во Него, треба да живее, како што живееше Тој.
7. Мили мои, не ви пишувам нова заповед, туку стара заповед што ја примивте од почетокот. Старата заповед е словото што го чувте.
8. Но сепак, ви пишувам нова заповед која е вистинита и во Него и во вас, зашто темнината поминува, а вистинската светлина веќе свети.
9. Оној што вели дека е во светлината, а го мрази својот брат, тој сè уште е во темнината.
10. Оној кој го љуби својот брат останува во светлината и кај него нема соблазна.
11. А оној кој го мрази својот брат е во темнината и во темнината живее и не знае каде оди, зашто темнината му ги заслепила очите.
12. Ви пишувам вам, чеда, бидејќи гревовите ви се простени заради Неговото име.
13. Ви пишувам вам, татковци, бидејќи Го познавте Оној Кој беше од почетокот. Ви пишувам вам, момчиња, бидејќи го победивте злиот. Ви напишав вам, деца, бидејќи Го познавте Таткото.
14. Ви напишав вам, татковци, бидејќи Го познавте Оној Кој беше од почетокот. Ви напишав вам, момчиња, бидејќи сте силни и Божјото слово е во вас и бидејќи го победивте злиот.
15. Не љубете го светот, ниту световните работи. Ако некој го љуби светот, љубовта на Таткото не е во него,
16. зашто сè што е во светот: похотата на телото, похотата на очите и суетната гордост на животот, не е од Таткото, туку од светот.
17. Светот заминува, и неговата похота, а оној кој ја извршува Божјата волја останува во вечни векови.
18. Чеда, настапи последен час, и како што имате слушнато дека антихристот ќе дојде, еве уште сега се јавија многу антихристи; по тоа знаеме дека е последниот час.
19. Тие излегоа од нас, но не беа од нас, зашто ако беа од нас, ќе останеа со нас, туку излегоа затоа што требаше да се покаже дека ниту еден од нив не е од нас.
20. А вие имате помазание од Светиот и знаете сè.
21. Не ви пишав како да не ја знаете вистината, туку затоа што ја знаете и зашто ниедна лага не е од вистината.
22. Кој е лажливец, ако не оној кој одрекува дека Исус е Христос? Антихрист е оној кој ги одрекува Таткото и Синот!
23. А секој што Го одрекува Синот, Го нема ни Таткото; кој Го признава Синот, Го има и Таткото.
24. Тоа што го чувте од почетокот нека остане во вас. Ако остане во вас тоа што го чувте од почетокот, и вие ќе останете во Синот и во Таткото.
25. А ова е ветувањето што Тој Самиот ни го вети: вечниот живот.
26. Ова ви го пишав заради оние кои се обидуваат да ве измамат.
27. А што се однесува до вас, во вас останува помазанието што го примивте од Него и немате потреба некој да ве поучува, туку како што Неговото помазание ве поучува за сè, и е вистинито и не е лага, и како што Тој ве научи, така останете во Него.
28. А сега, чеда, останете во Него, за да имаме доверба кога ќе се јави Тој и за да не се

посрамотиме пред Него при Неговото доаѓање.
29. Ако знаете дека Тој е праведен, знајте дека секој кој врши праведност, е роден од Него.

Глава 3

1. Гледајте каква љубов ни дарувал Таткото: да се нарекуваме Божји деца. А тоа и сме! Светот затоа и не нѐ познава нас, бидејќи не Го позна Него.
2. Мили мои, сега сме Божји деца, и уште не се откри што ќе бидеме. Но знаеме дека кога Тој ќе се појави ќе Му бидеме слични, зашто ќе Го гледаме онаков каков што е.
3. И секој што ја има оваа надеж во Него, се исчистува самиот, така како што е и Тој чист.
4. Секој што врши грев, врши и беззаконие, а гревот е беззаконие.
5. И знаете дека Тој се јави за да ги отстрани гревовите, а во Него нема грев.
6. Ниту еден кој останува во Него, не греши. Ниту еден кој греши, не Го видел Него, ниту Го познал.
7. Чеда, никој да не ве мами. Кој чини праведност, праведен е така како што е и Тој праведен.
8. Кој чини грев, од ѓаволот е, зашто ѓаволот греши од почетокот. Затоа се јави Божјиот Син, за да ги разурне делата на ѓаволот.
9. Ниту еден кој е роден од Бог не чини грев, зашто Неговото семе е во него, и не може да греши, бидејќи е роден од Бог.
10. По ова се препознаваат Божјите чеда и ѓаволските чеда: секој што не чини праведност не е од Бог, ниту пак оној што не го љуби својот брат.
11. Зашто ова е веста што ја чувте од почетокот: да се љубиме еден со друг!
12. Не како Каин којшто беше од злиот и го уби брата си. И зошто го уби? Затоа што неговите дела беа зли, а на брат му праведни.
13. Не чудете се, браќа, ако светот ве мрази.
14. Ние знаеме дека преминавме од смрт во живот, бидејќи ги љубиме браќата. Оној кој не љуби, тој останува во смртта.
15. Секој што го мрази својот брат, е убиец, а знаете дека во ниеден убиец нема вечен живот.
16. Љубовта ја познаваме по тоа што Тој го положи својот живот за нас; и ние сме должни да ги положиме своите животи за браќата.
17. А кој има световни блага и го види братот свој во нужда, па го затвори своето срце пред него, како може Божјата љубов да остане во него?
18. Чеда, да не љубиме со збор или со јазик, туку со дело и вистина.
19. По тоа ќе познаеме дека сме од вистината, и ќе ги увериме своите срца пред Него,
20. зашто кога нашето срце нѐ осудува, Бог е поголем од нашето срце и знае сѐ.
21. Мили мои, ако срцето не нѐ осудува, имаме доверба пред Бог,
22. и што и да побараме од Него, добиваме затоа што ги пазиме Неговите заповеди и го правиме тоа што Му е Нему по волја.
23. А Неговата заповед е оваа: да веруваме во името на Неговиот Син, Исус Христос, и да се љубиме еден со друг, како што Тој ни заповеда.
24. Оној кој ги пази Неговите заповеди, останува во Него, а и Тој во него. А по ова знаеме дека Тој е во нас: по Духот што ни Го дал.

Глава 4

1. Мили мои, не верувајте му на секој дух, туку проверувајте ги духовите за да видите дали се од Бога, зашто многу лажни пророци излегоа во светот.
2. По ова препознајте го Божјиот Дух: секој дух кој исповедува дека Исус Христос дојде во тело, е од Бог;
3. а секој дух кој не Го признава Исуса, не е од Бог; тоа е духот на антихристот, за кого сте чуле дека ќе дојде, и сега е веќе во светот.
4. Чеда, вие сте од Бога и нив ги победивте, зашто Оној Кој е во вас, поголем е од оној кој е во светот.
5. Тие се од светот и затоа зборуваат световно и светот ги слуша.
6. Ние сме од Бог. Оној кој Го познава Бога, нѐ слуша нас, а оној кој не е од Бог, не нѐ слуша нас. По тоа го познаваме духот на вистината и духот на заблудата.
7. Мили мои, да се љубиме еден со друг, зашто љубовта е од Бог и секој кој љуби од Бога е роден и Го познава Бог.
8. А кој не љуби, не Го познава Бог, зашто Бог е љубов.
9. Божјата љубов спрема нас се покажа со тоа што Бог Го испрати во светот Својот Единороден Син за да живееме преку Него.
10. Љубовта е во ова, не дека ние Го засакавме Бог, туку Тој нѐ засака нас и Го испрати Својот Син како жртва за помирување за нашите гревови.
11. Мили мои, ако Бог нѐ засака така, и ние треба да се љубиме еден со друг.
12. Никој никогаш не Го видел Бога; ако се љубиме еден со друг, Бог е во нас и Неговата љубов станува совршена во нас.
13. Дека сме ние во Него и Тој во нас, познаваме по тоа што ни даде од Својот Дух.
14. А ние видовме и сведочиме дека Таткото Го испрати Синот да биде Спасител на светот.
15. Секој кој признава дека Исус е Божјиот Син, Бог е во него и тој е во Бог.
16. И ние ја запознавме и поверувавме во љубовта која Бог ја има спрема нас. Бог е љубов, и оној кој останува во љубовта, останува во Бога и Бог останува во него.
17. Така љубовта во нас станува совршена, за да имаме увереност на Судниот ден, зашто каков што е Тој, такви сме и ние во светов.
18. Во љубовта нема страв, туку совршената љубов го изгонува стравот, зашто стравот подразбира казна, а кој се плаши, не е совршен во љубовта.
19. Ние љубиме, зашто првин Тој нѐ засака нас.
20. Ако некој рече: 'Го љубам Бога', а го мрази својот брат, лажливец е, зашто кој не го љуби својот брат кого го видел, не може да Го љуби Бог, Кого не Го видел.
21. Од Него ја имаме оваа заповед: кој Го љуби Бог, да го љуби и својот брат.

Глава 5

1. Секој кој верува дека Исус е Христос, роден е од Бог; секој кој го љуби таткото, го љуби и неговото чедо.
2. По ова познаваме дека ги љубиме Божјите деца: кога Го љубиме Бог и ги извршуваме Неговите заповеди.
3. Ова е Божјата љубов: да ги извршуваме Неговите заповеди, а Неговите заповеди не се тешки,
4. зашто сѐ што е родено од Бог, го надвладува светот; и ова е победата која го победи светот - нашата вера.
5. Кој е тој што го победува светот, ако не оној кој верува дека Исус е Божјиот Син?
6. Тој е Оној Кој дојде преку вода и крв - Исус Христос; и не само преку водата, туку преку водата и преку крвта;
7. а Духот е Оној Кој сведочи, зашто Духот е вистината.
8. Зашто тројца се кои сведочат: Духот и водата и крвта, и овие три се во согласност.
9. Ако примаме сведоштво од луѓе, Божјото сведоштво е поголемо. А Божјото сведоштво е што Тој сведочеше за Својот Син.
10. Кој верува во Божјиот Син, го има сведоштвото во себе; кој не Му верува на Бог, Го прави лажливец, зашто не му верува на сведоштвото што Бог го даде за Својот Син.
11. А еве го сведоштвото: Бог ни даде вечен живот, и тој живот е во Неговиот Син.
12. Кој Го има Синот, го има тој живот; кој Го нема Божјиот Син, го нема тој живот.
13. Ова ви го напишав вам кои верувате во името на Божјиот Син, за да знаете дека имате вечен живот.
14. И ова е увереноста која ја имаме во Него: дека нѐ слуша ако бараме нешто според Неговата волја.
15. И кога знаеме дека нѐ слуша што и да бараме, знаеме дека ќе го добиеме она што сме го побарале од Него.
16. Ако некој го види својот брат да чини грев што не е за смрт, нека моли, и Бог ќе му даде живот на оној кој не чини грев за смрт. Има грев за смрт и за тој грев не велам да моли.
17. Секоја неправедност е грев, а постои грев што не е за смрт.
18. Знаеме дека секој кој е роден од Бога не греши, туку родениот од Бога се чува себеси и злиот не се допира до него.
19. Знаеме дека ние сме од Бога, а целиот свет е под власта на злиот.
20. Исто така знаеме дека Божјиот Син дојде и ни даде разбирање, за да Го познаеме Вистинскиот, а ние сме во Вистинскиот, во Неговиот Син Исус Христос. Тој е вистинскиот Бог и вечен живот.
21. Чеда, чувајте се од идолите.

Тит

Глава 1

1. Од старешината, до избраната госпоѓа и нејзините деца, кои ги љубам во вистината, и не само јас, туку и сите кои ја познаваат вистината,
2. заради вистината што е во нас и што ќе биде со нас во вечни векови.
3. Благодатта, милоста и мирот од Бог Таткото и од Исус Христос, Синот на Таткото, нека бидат со нас во вистина и љубов.
4. Многу се зарадував зашто меѓу твоите деца најдов такви кои одат во вистината, така како што примивме заповед од Таткото.
5. И сега, госпоѓо, те молам, не како да ти пишувам нова заповед, туку онаа што ја имавме од почетокот - да се љубиме еден со друг.
6. А еве ја таа љубов: да живееме според Неговите заповеди. Ова е заповедта во која треба да живеете, како што чувте од почетокот.
7. Зашто многу измамници излегоа во светот, кои не признаваат дека Исус Христос дојде во тело; тоа е измамникот и антихристот.
8. Вардете се да не го изгубите она што ние го постигнавме, туку да ја примите целосната награда.
9. Секој оној кој оди предалеку и не останува во Христовото учење, Го нема Бога. Оној кој останува во учењето, тој ги има и Таткото и Синот.
10. Ако некој дојде кај вас и не го носи ова учење, не примајте го во вашиот дом и не поздравувајте го,
11. зашто оној кој го поздравува, учествува во неговите зли дела.
12. Имам многу да ви пишувам, ама не сакам на хартија и со мастило, туку се надевам дека ќе дојдам и лично ќе зборувам со вас, та нашата радост да биде целосна.
13. Те поздравуваат децата на твојата избрана сестра.

Филимон

Глава 1

1. Старешината до милиот Гај, кого го љубам во вистината.
2. Мил мој, се молам да напредуваш во сѐ и во добро здравје, како што напредува и твојата душа.
3. Многу се зарадував кога дојдоа браќата и посведочија за твојата вистина, имено како живееш во вистината.
4. За мене нема поголема радост од тоа да чујам дека моите деца одат во вистината.
5. Мил мој, постапуваш верно во сѐ што правиш за браќата, а особено за туѓинците,
6. кои пред црквата сведочат за твојата љубов. Ќе направиш добро, ако ги испраќаш така како што е достојно пред Бога,
7. зашто тргнаа заради Името, не примајќи ништо од многубошците.
8. Затоа таквите треба да ги поддржуваме, за да станеме соработници во вистината.
9. Јас и пишав нешто на црквата, но Диотреф, кој сака да биде прв меѓу нив, не го прифаќа она што го велиме.
10. Затоа, ако дојдам, ќе потсетам за неговите дела што ги врши, напаѓајќи нѐ неправедно со лоши зборови; и не се задоволува со тоа, туку самиот не ги прима браќата, а на оние кои сакаат да ги примат, им забранува и ги гони од црквата.
11. Мил мој, не земај го за пример лошото, туку доброто. Оној кој прави добро, од Бога е, а кој прави лошо, не Го видел Бога.
12. За Димитриј сите сведочат добро, а и самата вистина. Ние исто така сведочиме и знаеш дека нашето сведоштво е вистинито.
13. Имав да ти пишувам многу, туку не сакам да ти пишувам со мастило и перо,
14. но се надевам дека ќе те видам наскоро, и ќе разговараме лице в лице.
15. Мир со тебе! Те поздравуваат пријателите! А и ти поздрави ги пријателите поименично.

Евреите

Глава 1

1. Јуда, слуга на Исус Христос и брат на Јаков, до оние кои се повикани, љубени од Бог Таткото и зачувани за Исус Христос.
2. Да ви се множат милоста, мирот и љубовта!
3. Мили мои, додека правев напори да ви напишам за нашето заедничко спасение, почувствував потреба со писмо да ве поттикнам да се борите сесрдно за верата која им е предадена на светиите еднаш за секогаш.
4. Зашто, тајно се вовлекоа некои луѓе, кои се одамна однапред назначени за оваа осуда: безбожници, кои благодатта на нашиот Бог ја извртуваат во разузданост и Го одрекуваат нашиот единствен Господар и Господ, Исус Христос.
5. Сега сакам да ви напомнам, еднаш за секогаш, иако знаете сѐ, дека Господ, откако го избави народот од Египет, ги погуби оние што не поверуваа,
6. па и ангелите, кои не го зачуваа своето место, туку го оставија своето определено место, ги чува во вечни окови под мрак, за судот на великиот ден.
7. Токму така како Содом и Гомора и нивните околни градови, кои на ист начин како и овие се оддадоа на блудство и тргнаа по туѓи тела, тие стојат како пример, поднесувајќи ја казната на вечниот оган.
8. Овие мечтатели, на ист начин го осквернуваат телото, ја презираат власта и хулат на ангелското величие.
9. А архангелот Михаил, кога се расправаше и препираше со ѓаволот за телото на Мојсеј, не се осмели да изрече навредлива пресуда, туку рече: 'Господ да те прекори!'
10. А овие пак хулат на она што не го знаат; а она што го знаат по инстинкт како неразумните животни, во тоа пропаѓаат.
11. Тешко ним, зашто тргнаа по Каиновиот пат, и за печалба нагрвалија во заблудата на Балаам и изгинаа во Кореевиот бунт.
12. Тие се подводни гребени на вашите трпези на љубовта, кои се гостат со вас без страв, грижејќи се само за себеси; безводни облаци носени од ветровите, есенски неплодни дрвја, двојно мртви и откорнати;
13. бесни морски бранови што се пенат со своите срамоти; ѕвезди скитнички, за кои мрачна темнина за вечни векови се чува.
14. А за овие пророкуваше Енох, седмиот по Адам, велејќи: 'Ете, Господ дојде со илјадници Свои светии,
15. за да им суди на сите и за да ги изобличи сите безбожници за сите нивни безбожни дела што безбожно ги направиле, и за сите навредливи зборови што безбожните грешници ги изговориле против Него.'
16. Тие луѓе се мрморковци, кои постојано се поплакуваат на својата судбина, кои живеат според своите похоти; нивната уста зборува надмено, им се умилкуваат на луѓето заради стекнување полза.
17. А вие, мили мои, треба да си спомнете на зборовите кажани порано од апостолите на нашиот Господ Исус Христос;
18. зашто тие ви рекоа: 'Во последното време ќе се јават подбивачи, кои ќе живеат според своите безбожни похоти.'
19. Тоа се сејачи на раздор, душевно настроени луѓе - кои Го немаат Духот.
20. А вие, мили мои, изградувајте се себеси врз вашата пресвета вера, молејќи се во Светиот Дух,
21. одржете се себеси во Божјата љубов, нестрпливо очекувајќи ја милоста на нашиот Господ Исус Христос за вечен живот.
22. Бидете милостиви кон оние кои се сомневаат,
23. спасувајте ги другите, извлекувајќи ги од оган. Спрема некои пак покажете милост, со страв, мразејќи ја дури и облеката од телото осквернета.

24. А Оној Кој може да ве дочува од слизнување и да ве постави непорочни пред Неговата слава со голема радост,
25. Единствениот Бог, нашиот Спасител, преку Исус Христос нашиот Господ, нека има слава, величие, сила и власт пред вековите, сега и во сите векови. Амин!

Откровение

Глава 1

1. Откровението на Исус Христос, што Му го даде Бог за да им ги покаже на Своите слуги, настаните што треба наскоро да се случат; Тој, преку Својот ангел, му го пренесе и му го објави тоа на Својот слуга Јован,
2. кој преку Божјото слово посведочи за сè што виде преку сведоштвото на Исус Христос.
3. Блажен е оној што чита и блажени се оние што ги слушаат зборовите на пророштвото и го пазат напишаното во него, зашто времето е близу.
4. Јован до седумте цркви во Азија: благодат вам и мир од Оној Кој е, Кој беше и Кој доаѓа; и од седумте Духови кои се пред Неговиот престол,
5. и од Исус Христос, верниот Сведок, Првородениот од мртвите и Владетелот на земните цареви, Нему, Кој нè љуби и Кој нè ослободи од нашите гревови преку Својата крв,
6. и нè направи царство, свештеници на Својот Бог и Татко - Нему слава и власт во вечни векови! Амин.
7. Еве, доаѓа со облаците и ќе Го види секое око, дури и оние кои Го прободоа, а сите земни племиња ќе тагуваат заради Него. Да, амин!
8. 'Јас сум Алфа и Омега', вели Господ Бог, 'Кој е, Кој беше и Кој доаѓа - Сèмоќниот'.
9. Јас, Јован, ваш брат и соучесник во неволата и во царството, и во трпението во Исус, бев на островот наречен Патмос, заради Божјото слово и сведоштвото за Исус.
10. Во Господовиот ден бев во Духот и зад себе чув силен глас, како од труба,
11. кој велеше: 'Запиши го на свиток она што го гледаш, и испрати го до седумте цркви: во Ефес, во Смирна, во Пергам, во Тиатир, во Сард, во Виладелфија и во Лаодикеја.'
12. Се обѕрнав за да го видам гласот што ми зборуваше. И кога се свртев, видов седум златни светилници,
13. а сред седумте светилници, Еден, сличен на Синот Човеков, облечен во облека долга до нозете и препашан со златен појас преку градите.
14. Неговата глава и косата беа бели како бела волна, како снег, а Неговите очи како огнен пламен;
15. Неговите стапала како бронза вжарена во печка; а Неговиот глас, како шум од многу води.
16. Во Својата десна рака држеше седум ѕвезди, од Неговата уста излегуваше меч со две сечила, а Неговото лице беше како што сонцето свети во својата сила.
17. И кога Го видов, паднав како мртов пред Неговите нозе, а Тој ја положи Својата десница врз мене и ми рече: 'Не плаши се! Јас Сум Првиот и Последниот,
18. и Живиот; бев мртов, и еве, Жив Сум во сите векови и ги имам клучевите на Адот и смртта.
19. Затоа, напиши го ова што го виде, и тоа што е и она што ќе биде потоа.
20. Тајната на седумте ѕвезди што ги виде во Мојата десница и на седумте златни светилници е: седумте ѕвезди се ангелите на седумте цркви, а седумте светилници се седумте цркви.

Глава 2

1. 'На ангелот на црквата во Ефес, напиши му: ова го зборува Оној Кој ги држи седумте ѕвезди во Својата десница, Кој оди сред седумте златни светилници.
2. Ги знам твоите дела, твојот труд и твоето трпение и дека не можеш да ги поднесуваш лошите, туку ги испита оние што тврдат дека се апостоли, а не се, и откри дека се лажливци;
3. и имаш трпение, си претрпел заради Моето име и не се умори.
4. Но имам нешто против тебе, зашто ја остави својата прва љубов.
5. Спомни си од каде падна, покај се и врши ги делата што ги вршеше на почетокот; ако, пак, не, ќе дојдам кај тебе и ако не се покаеш ќе го отстранам твојот светилник од неговото место.
6. Сепак, ова го имаш: ги мразиш николаитските дела, кои и Јас ги мразам.
7. Кој има уво, нека чуе што им говори Духот на црквите: на оној што надвладува, ќе му дадам да јаде од дрвото на животот, што е во Божјиот рај!'
8. 'На ангелот на црквата во Смирна, напиши му: Првиот и Последниот, Кој умре и оживе, го зборува ова:
9. ги знам твоите неволи и твојата сиромаштија, но ти си богат, и хулите на оние кои зборуваат дека се Евреи, а не се, туку се сатанска синагога.
10. Не плаши се од она што ќе го претрпиш. Ете, ѓаволот ќе фрли некои од вас в зандана, за да бидете испитани, и ќе бидете во невола десет дни. Биди верен до смрт и ќе ти ја дадам круната на животот.
11. Кој има уво, нека чуе што им говори Духот на црквите: на Оној кој победува, втората смрт нема да му наштети.'
12. 'На ангелот на црквата во Пергам, напиши му: ова го вели Оној Кој го има мечот со две сечила:
13. знам каде живееш, таму каде што е престолот на сатаната, но ти го држиш Моето име и не се откажа од верата во Мене, дури ни во деновите на Мојот верен сведок Антипа кого го убија кај вас, каде што живее сатаната.
14. Но имам неколку работи против тебе, зашто имаш таму некои кои го држат учењето на Балаам, кој го учеше Балак да ги наведе на грев израеловите синови, за да јадат идолски жртви и да блудствуваат.
15. Така и ти имаш некои кои на ист начин го држат учењето на николаитите.
16. Затоа, покај се! Ако пак не, ќе дојдам бргу кај тебе и ќе завојувам против нив со мечот на Мојата уста.
17. Кој има уво, нека чуе што им зборува Духот на црквите: на оној кој победува, ќе му дадам од скриената мана, ќе му дадам и бел камен, и на каменот напишано ново име што никој не го знае, освен оној кој го добива.'
18. 'И на ангелот на црквата во Тиатир напиши му: ова го зборува Божјиот Син, Кој има очи како огнен пламен, а стапалата му се како сјајна бронза:
19. ги знам твоите дела, твојата љубов, верата и службата, твојата истрајност и твоите последни дела кои се поголеми од оние на почетокот.
20. Но имам нешто против тебе, што ја трпиш жената Језавела, која себеси се нарекува пророчица и која ги учи и ги заблудува Моите слуги да блудствуваат и да јадат идолски жртви.
21. и дадов време да се покае, но не сака да се покае за своето блудство.
22. Еве, ќе ја фрлам в постела, а оние кои вршат прељуба со неа, во големи неволи, ако не се покајат за своите дела.
23. И ќе и ги погубам децата со помор, и сите цркви ќе знаат дека Јас Сум Тој Кој ги испитува бубрезите и срцата, и ќе му дадам секому од вас според неговите дела.
24. А вам и на другите во Тиатир, кои не го држат ова учење, кои - како што велат - не ги запознаа сатанските длабочини, ви велам: не ви наложувам друго бреме.
25. Сепак држете го она што го имате, додека дојдам.
26. А на оној кој победува и ги пази Моите дела докрај, нему ќе му дадам власт над народите,

27. и ќе ги пасе со железна палка, и ќе се скршат како глинени садови, како што и Јас тоа го примив од Мојот Татко.
28. И ќе му ја дадам ѕвездата Деница.
29. Кој има уво, нека чуе што им зборува Духот на црквите!'

Глава 3

1. 'И на ангелот на црквата во Сард, напиши му: ова го зборува Оној Кој ги има седумте Божји Духови и седумте ѕвезди: ги знам твоите дела, имаш име дека си жив, но си мртов.
2. Бдеј и зацврсти го она што е на умирање, зашто не ги најдов твоите дела совршени пред мојот Бог.
3. Затоа, сети се што примил и чул, чувај го и покај се. И така, ако не се разбудиш, ќе дојдам како крадец и нема да знаеш во кој час ќе ти дојдам.
4. Но во Сард имаш неколкумина што не ги осквернија своите облеки; тие ќе одат во бели облеки со Мене, зашто се достојни.
5. Затоа оној кој победува, ќе биде облечен во бели облеки и нема да го избришам неговото име од книгата на животот, туку ќе го признаам неговото име пред Мојот Татко и пред Неговите ангели.
6. Кој има уво, нека чуе што им зборува Духот на црквите!'
7. И на ангелот на црквата во Виладелфија напиши му: ова го зборува Светиот и Вистинитиот, Кој го има Давидовиот клуч; Кој отвора и никој не затвора, Кој затвора и никој не отвора:
8. ги знам твоите дела. Еве, поставив пред тебе отворена врата што никој не може да ја затвори, затоа што ти имаш мала сила, а сепак го запази Моето слово и не се откажа од Моето име.
9. Еве, ти давам некои од сатанската синагога, кои тврдат дека се Евреи, а не се, туку лажат; ете, ќе направам да дојдат и да се поклонат пред твоите нозе и да разберат дека Јас те засакав.
10. Бидејќи ти го запази словото на Моето трпение, и Јас ќе те запазам од часот на испитувањето што ќе дојде врз целиот свет, за да ги испита оние кои живеат на земјата.
11. Ќе дојдам скоро! Држи го цврсто она што го имаш, за никој да не ја земе твојата круна.
12. Оној кој победува ќе го направам столб во храмот на Мојот Бог и нема веќе да излезе надвор и на него ќе го напишам името на Мојот Бог и името на градот на Мојот Бог, новиот Ерусалим кој слегува од небото, од Мојот Бог, и Моето ново име.
13. Кој има уво, нека чуе што им зборува Духот на црквите.
14. И на ангелот на црквата во Лаодикеја напиши му: ова го зборува Амин, верниот и вистинитиот Сведок, Почетокот на Божјото создание:
15. ги знам твоите дела, не си ни студен ни жежок. О, кога би бил студен или жежок!
16. Вака, бидејќи си млак и не си ниту жежок ниту студен, ќе те изблујам од Мојата уста.
17. Бидејќи велиш: богат сум и се збогатив, и ништо не ми треба, а не знаеш дека си беден, несреќен, сиромав, слеп и гол;
18. те советувам да си купиш од Мене злато, пречистено со оган, за да се збогатиш; бели облеки, за да се облечеш и да не се открие срамот на твојата голотија; и очна маст, за да ги намачкаш своите очи, та да можеш да гледаш.
19. Јас ги укорувам и ги казнувам оние што ги љубам; затоа биди ревносен и покај се!
20. Еве, стојам пред вратата и чукам; ако некој го чуе Мојот глас и ја отвори вратата, ќе влезам кај него и ќе вечерам со него и тој со Мене.
21. На оној што победува, ќе му дадам да седне со Мене на Мојот престол, како што и Јас победив и седнав со Мојот Татко на Неговиот престол.
22. Кој има уво, нека чуе што им зборува Духот на црквите!

Глава 4

1. Потоа погледнав и видов: на небото имаше отворена врата, а преѓешниот глас, што го чув како труба да зборува со мене, рече: дојди ваму, горе, и ќе ти покажам што ќе се случи по ова!
2. Веднаш се најдов во духот и ете, на небото имаше престол, а на престолот седеше Еден;
3. а Оној Кој седеше, изгледаше како камен јаспис и сард, а околу престолот имаше божилак кој прилегаше на смарагд.
4. И околу престолот имаше дваесет и четири престоли, а на престолите видов дваесет и четири старешини седнати и облечени во бели облеки, а на главите имаа златни круни.
5. Од престолот излегуваа молскавици и гласови и грмежи, а пред престолот гореа седум светала, кои се седумте Божји Духови.
6. Пред престолот имаше нешто како стаклено море, слично на кристал, а сред престолот и околу него, четири живи суштества полни со очи и однапред и одназад.
7. Првото живо суштество личеше на лав, второто живо суштество на јунец, третото живо суштество имаше лице како на човек, а четвртото живо суштество личеше на орел во лет.
8. И секое од четирите живи суштества имаше по шест крилја, полни со очи наоколу и однатре; и дење и ноќе не престануваат да велат:'Свет, свет, свет е Господ Бог Семоќниот, Кој беше, Кој е и Кој доаѓа.'
9. А кога живите суштества му оддаваа слава, чест и благодарност на Оној Кој седи на престолот, Кој живее во вечни векови,
10. дваесет и четирите старешини паднаа пред Оној Кој седи на престолот и Му се поклонија на Оној Кој живее во вечни векови, и ги положија своите круни пред престолот, велејќи:
11. 'Достоен си, Господи, Боже наш, да примиш слава и чест и моќ, зашто Ти создаде сè, и поради Твојата волја суштествува и е создадено сè.'

Глава 5

1. И видов свиток во десницата на Оној Кој седеше на престолот испишан однатре и однадвор и запечатен со седум печати.
2. И видов моќен ангел како објавува со силен глас: 'Кој е достоен да го отвори свитокот и да ги скрши неговите печати?'
3. И никој, ниту на небото, ниту на земјата, ниту под земјата, не можеше да го отвори свитокот, ниту да погледне во него.
4. А јас почнав да плачам многу, зашто не се најде никој достоен да го отвори и да го прочита свитокот, ниту да погледне во него.
5. Тогаш еден од старешините ми рече: 'Не плачи, ете, надвладеа Лавот од јудиното племе, давидовиот корен, па може да го отвори свитокот и неговите седум печати.
6. И ете, видов, меѓу престолот (со четирите живи суштества) и старешините, Јагне што беше како заклано, со седум рогови и седум очи; тоа се седумте Божји Духови, пратени по целата земја.
7. И дојде и го зеде свитокот од десницата на Оној Кој седеше на престолот.
8. И кога го зеде свитокот, четирите живи суштества и дваесет и четирите старешини паднаа пред Јагнето, а секој од нив имаше харфа и златни садови, полни со темјан, имено молитвите на светиите.
9. И пееја нова песна, велејќи: 'Достоен си да го земеш свитокот и да ги отвориш неговите печати, зашто беше заклан и зашто со Својата крв ги откупи за Бога, од секое племе и јазик, род и народ,
10. и ги направи да бидат царство и свештеници на нашиот Бог, и тие ќе владеат на земјата.'
11. И видов и чув глас од многу ангели околу престолот, и од живите суштества и старешините, чиј број беше десетици илјади по десетици илјади и илјадници илјади,
12. кои зборуваа со силен глас: 'Достојно е Јагнето Кое беше заклано, да прими моќ, богатство, мудрост, сила, чест, слава и благослов.'
13. И го чув секое создание кое е на небото, на земјата, под земјата, во морето и сè што е во нив, како зборува: 'На Оној Кој седи на престолот и на Јагнето, благослов, чест, слава и власт за вечни векови!'
14. Четирите живи суштества рекоа: 'Амин!', а дваесет и четирите старешини паднаа ничкум и се поклонија.

Глава 6

1. И видов кога Јагнето отвори еден од седумте печати и чув едно од живите суштества како громогласно вика: 'Дојди!'
2. А јас погледнав, и ете, бел коњ, а коњаникот имаше лак; и му беше дадена круна, па како победник тргна да победува.
3. И кога го отвори вториот печат, го чув другото живо суштество како зборува: 'Дојди!'
4. И излезе друг, црвен коњ, а на коњаникот му беше дадено да го крене мирот од земјата, та луѓето меѓусебно да се убиваат; и му беше даден голем меч.
5. И кога го отвори третиот печат, го чув третото живо суштество како зборува: 'Дојди!' А јас погледнав, и ете, црн коњ, а коњаникот имаше терезија во својата рака.
6. И чув како зборува глас меѓу четирите живи суштества: 'Еден шиник пченица за денариј! Три шиника јачмен за денариј! А на маслото и на виното не пакости им!'
7. И кога го отвори четвртиот печат, го чув гласот на четвртото живо суштество кое зборуваше: 'Дојди!'
8. А јас погледнав, и ете, сиво-зелен коњ, а на коњаникот името му беше Смрт, и Адот одеше по него. Н ним им беше дадена власт над четвртина од земјата, да убиваат со меч, со глад, со помор и со дивите ѕверови на земјата.
9. И кога го отвори петтиот печат, ги видов под жртвеникот душите на заклаците заради Божјото слово и заради сведоштвото што го одржаа.
10. И извикаа со силен глас, велејќи: 'До кога, свет и вистинит Господару, нема да судиш и да ја одмаздиш нашата крв над оние кои живеат на земјата?'
11. И секому од нив му беше дадена бела облека и на сите им беше речено да се стрпат уште малку време, додека не биде исполнет бројот на нивните сослужители и браќа, кои ќе бидат убиени како и тие.
12. И видов кога го отвори шестиот печат, и се случи голем земјотрес; сонцето поцрне како струнена вреќа, а целата месечина се стори како крв,
13. и небесните ѕвезди испопаѓаа на земјата, како што смоквата ги исфрла своите незрели плодови, кога ќе ја затресе силен ветар.
14. А небото го снема како свиток кога се смотува; и сите гори и сите острови се поместија од своите места.
15. Земните цареви, големците, војсководците, богатите, силните, секој роб и секој слободен човек се засолнија во пештерите и по горските камењари,
16. велејќи им на горите и на карпите: 'Паднете врз нас и скријте нè од лицето на Оној Кој седи на престолот и од гневот на Јагнето,
17. зашто дојде великиот Ден на нивниот гнев, и кој може да се одржи?'

Глава 7

1. Потоа видов четири ангела како стојат на четирите краишта на земјата, држејќи ги четирите земни ветрови, за да не дува ветар ниту на земјата, ниту по морето, ниту низ некое дрво.
2. И видов друг ангел, кој се издигаше од исток и кој го имаше печатот на живиот Бог, па почна да им вика со силен глас на четирите ангели, на кои им беше дадено да им напакостат на земјата и на морето,
3. велејќи: 'Не пакостете и на земјата, ни на морето, ниту на дрвјата, додека не им ставиме печат на челата на слугите на нашиот Бог!'
4. И го чув бројот на запечатените: сто четириесет и четири илјади запечатени од сите племиња на израеловите синови:
5. дванаесет илјади запечатени од племето Јуда, дванаесет илјади запечатени од племето Рубен, дванаесет илјади запечатени од племето Гад;
6. дванаесет илјади запечатени од племето Асер, дванаесет илјади запечатени од племето Нефталим, дванаесет илјади запечатени од племето Манасе;
7. дванаесет илјади запечатени од племето Симеон, дванаесет илјади запечатени од племето Леви, дванаесет илјади запечатени од племето Исахар;
8. дванаесет илјади запечатени од племето Забулон, дванаесет илјади запечатени од племето Јосиф, дванаесет илјади запечатени од племето Венјамин.
9. Потоа погледнав, и ете, големо мноштво, што никој не можеше да го изброи, од сите родови, племиња, народи и јазици, како стојат пред престолот и пред Јагнето, облечени во бели облеки, со палмини гранчиња во своите раце,
10. и громогласно извикуваа: 'Спасение од нашиот Бог Кој седи на престолот, и од Јагнето!'
11. А сите ангели стоеја околу престолот, старешините и четирите живи суштества; и паднаа ничкум пред престолот и Го прославија Бог,
12. велејќи: 'Амин! Благослов, слава, мудрост, благодарност, чест, моќ и сила на нашиот Бог во сите векови. Амин!'
13. А еден од старешините проговори, велејќи ми: 'Кои се и од каде дојдоа овие што се облечени во бели облеки?'
14. А јас му реков : 'Господине мој, ти знаеш!' И ми рече: 'Тоа се оние кои доаѓаат од големите маки, кои ги испраа своите облеки и ги избелија во крвта на Јагнето.'
15. Затоа се пред Божјиот престол и Му служат дење и ноќе во Неговиот храм; а Оној Кој седи на престолот, ќе го распне Својот Шатор над нив.
16. Нема веќе да огладнат, ниту да ожеднат, ниту сонцето ќе ги пече, ниту, пак, некаква жега,
17. зашто Јагнето, Кое е сред престолот, ќе ги пасе и ќе ги води на извори на жива вода, а Бог ќе ја избрише секоја солза од нивните очи.

Глава 8

1. И кога го отвори седмиот печат, настана тишина на небото, околу половина час.
2. И ги видов седумте ангели, кои стоеја пред Бога, на кои им беа дадени седум труби.
3. Дојде и друг ангел, со златна кадилница, и застана до жртвеникот, држејќи златна кадилница, и му беше даден многу темјан, за да го принесе заедно со молитвите на сите светии, врз златниот жртвеник пред престолот.
4. А од рацете на ангелот се издигна пред Бог димот од темјанот, заедно со молитвите на светиите.
5. И ангелот ја зеде кадилницата, ја наполни со оган од жртвеникот и ја фрли на земјата, при што настанаа громови и грмежи и молскавици и земјотрес.
6. А седумте ангели, кои ги имаа седумте труби, се подготвија да затрубат.
7. Првиот затруби, и се појавија град и оган, помешани со крв, и тоа беше фрлено на земјата, и изгоре третина од земјата, третина од дрвјата и сета зелена трева.
8. Затруби и вториот ангел, и нешто како голема гора, пламната во оган, беше фрлена во морето, и третина од морето стана крв,
9. изумре третина од живите суштества во морето и беше уништена една третина од корабите.
10. И третиот ангел затруби, а од небото падна голема ѕвезда која гореше како факел и падна врз третината од реките и водните извори.
11. Името на ѕвездата е Пелин. И третина од водите стана пелин и многу луѓе изумреа од водите, бидејќи беа загорчени.
12. И четвртиот ангел затруби, и беа удрени третина од сонцето, третина од месечината и третина од ѕвездите, за да потемни третиот дел од нив, и третина од денот да не свети, а исто така и од ноќта.
13. И видов и чув еден орел како лета сред небото, извикувајќи со силен глас: 'Тешко, тешко, тешко им на оние кои живеат на земјата, заради преостанатите трубини гласови на тројцата ангели, кои ќе затрубат.'

Глава 9

1. Затруби и петтиот ангел, и видов ѕвезда што падна од небото на земјата, на која и беше даден клучот од јамата на бездната.
2. И ја отвори јамата на бездната, и од неа се издигна дим, како дим од голема печка, а сонцето и воздухот потемнеа од димот на јамата.
3. Од димот излегоа скакулци по земјата, па им беше дадена сила каква што имаат земните скорпии,
4. и им беше речено да не и наштетуваат на земната трева, ниту на кое да било зеленило, ниту на било кое дрво, туку само на оние луѓе кои немаат Божји печат на своите чела.
5. И не им беше дозволено да ги убиваат, туку да ги мачат пет месеци, а нивното мачење беше како измачување од скорпија кога каснува човек.
6. Во тие дни луѓето ќе ја бараат смртта, но нема да ја најдат; ќе сакаат да умрат, но смртта ќе бега од нив.
7. А скакулците по својот облик прилегаа на коњи, приготвени за бој, а на своите глави имаа круни слични на злато, а лицата им беа како човечки лица.
8. И имаа коси како жени, а забите им беа како на лавови.
9. Имаа оклопи како од железо, а шумот на нивните крила беше татнеж на воени кочии со многу коњи кои итаат во бој.
10. И имаа опашки и осила како скорпии; а во нивните опашки е нивната моќ да ги измачуваат луѓето пет месеци.
11. Над себе, како цар, го имаа ангелот на Бездната, кому името на хебрејски јазик му е Абадон, а на грчки Аполион.
12. Првото зло помина, и еве, по него доаѓаат уште две зла.
13. И шестиот ангел затруби, и чув глас од четирите рога на златниот жртвеник пред Бог
14. како му зборува на шестиот ангел, кој ја имаше трубата: 'Одврзи ги четирите ангели кои се врзани кај големата река Еуфрат!'
15. И беа одврзани четирите ангели, приготвени за часот, денот, месецот и годината, да ја убијат третината од човештвото.
16. А бројот на војувачките коњаници беше двесте милиони - го чув нивниот број.
17. И во привидение вака ги видов коњите и оние што ги јаваа: имаа огнени оклопи од хијацинт и сулфур, а главите на коњите личеа на глави од лавови, а од нивните усти излегуваа оган, дим и сулфур.
18. Од овие три зла, од огнот, од димот и од сулфурот, што избиваа од устите на коњите, се сотре третина од човештвото.
19. Зашто моќта на коњите беше во нивните усти и во нивните опашки; имено, опашките им се слични на змии и имаат глави со кои пакостат.
20. А остатокот од луѓето што не беа сотрени од овие зла, не се покаја за делата на своите раце: поклонување на демони, на златни, сребрени, бронзени, камени и дрвени идоли, кои не можат ниту да гледаат, ниту да слушаат, ниту да одат.
21. И не се покајаа за своите убиства, ниту за своите гатања, ниту за своите блудства, ниту за своите кражби.

Глава 10

1. И видов друг силен ангел како слегува од небото, наметнат со облак, кој имаше божилак на главата. Лицето му беше како сонце, а нозете како огнени столбови,
2. во својата рака држеше мал свиток кој беше отворен. И ја постави својата десна нога на морето, а левата на копното,
3. па извика со силен глас, како лав што рика. А кога извика, седум громови зататнеа со своите гласови.
4. Токму кога седумте громови зататнеа, сакав да пишувам; тогаш чув глас од небото, кој велеше: 'Запечати го тоа што го рекоа седумте громови, и не пишувај го!'
5. А ангелот, кого го видов како стои на морето и на копното, ја крена својата десница кон небото
6. и се заколна во Оној Кој живее во вечни векови, Кој го создаде небото и она што е во него, земјата и она што е на неа, и морето со она што е во него, дека не ќе има веќе одлагање;
7. туку во деновите на гласот на седмиот ангел, кога тој ќе затруби, ќе се исполни Божјата тајна, како што Тој им проповедаше на своите слуги, пророците.
8. Гласот што го чув од небото, пак ми проговори и рече: 'Оди, земи го свитокот што е отворен во раката на ангелот кој стои на морето и на копното!'
9. Јас отидов кај ангелот и му реков да ми го даде малиот свиток. А тој ми рече: 'Земи го и изеди го! Во стомакот ќе ти горчи, но во устата ќе ти биде благ како мед.'
10. И го зедов малиот свиток од раката на ангелот и го изедов: во устата ми беше сладок како мед, но кога го изедов, во стомакот ми стана горчливо.'
11. И ми беше речено: 'Треба повторно да пророкуваш пред многу народи, племиња, јазици и цареви.'

Глава 11

1. И ми беше дадена трска за мерење, слична на стап, при што ми беше речено: 'Стани и измери го Божјиот храм, жртвеникот и оние што Му се поклонуваат на Бог.
2. А надворешниот двор на храмот остави го и не мери го, зашто им е даден на народите, и тие ќе го газат светиот град четириесет и два месеца.
3. И ќе им дадам на двајца Мои сведоци, облечени во струнени вреќи, да пророкуваат илјада двесте и шеесет дни.
4. Тие се двете маслинови дрвја и двата светилника кои стојат пред Господарот на земјата.
5. Ако некој сака да им напакости, оган ќе излезе од нивната уста и ќе ги проголта нивните непријатели. И ако некој сака да им напакости, ќе мора така да биде убиен.
6. Тие имаат власт да го затворат небото за да не паѓа дожд во деновите на нивното пророкување, и имаат власт над водите да ги претвораат во крв и да ја удрат земјата со секаква невола, онолкупати колку што ќе посакаат.
7. И кога ќе го завршат своето сведоштво, ѕверот кој ќе излезе од бездната, ќе завојува против нив, ќе ги победи и ќе ги убие.
8. Нивните мртви тела ќе лежат на улицата на големиот град кој духовно се нарекува Содом и Египет, каде што и нивниот Господ беше распнат.
9. А луѓе од сите народи, племиња, јазици и родови ќе ги гледаат нивните трупови три и пол дена и не ќе дозволат мртвите тела да бидат положени в гроб.
10. Притоа жителите на земјата ќе се радуваат и ќе се веселат поради нивната смрт, и ќе си праќаат дарови еден на друг, зашто тие двајца пророци ги измачуваа жителите на земјата.
11. И по три и пол дена, во нив влезе животворен дух од Бога, па застанаа на своите нозе, а голем страв ги обзеде оние што ги гледаа.
12. И се чу силен глас од небото, кој им велеше: 'Дојдете ваму горе!' И отидоа горе на небо, во облак, а нивните непријатели ги гледаа.
13. Во тој час настана голем земјотрес, па падна една десеттина од градот; и од земјотресот загинаа седум илјади луѓе, а другите се уплашија и Му оддадоа слава на небесниот Бог.
14. Второто зло помина, и ете, третото зло брзо доаѓа.
15. Затруби и седмиот ангел и одекнаа силни гласови на небото, велејќи: 'Царството на овој свет Му припадна на нашиот Господ и на Неговиот Христос, а Тој ќе царува во вечни векови.'
16. А дваесет и четирите старешини кои седеа на своите престоли пред Бог, паднаа ничкум и Му се поклонија на Бог,
17. велејќи: 'Ти благодариме Сѐмоќен Господи Боже, Кој си и Кој беше, зашто ја зеде Својата голема сила и почна да владееш.
18. Народите се разгневија, но дојде Твојот гнев и дојде време да им биде судено на мртвите, и да им се даде награда на Твоите слуги, на пророците, на светиите и на оние што се бојат од Твоето име, мали и големи, и да ги уништиш оние што ја уништуваа земјата.'
19. Притоа се отвори Божјиот храм на небото и се покажа ковчегот на Неговиот завет во Неговиот храм, и се јавија молскавици, гласови, грмежи, земјотрес и голем град.

Глава 12

1. И се покажа голем знак на небото: жена, облечена со сонцето и со месечината под нејзините нозе, а на главата имаше круна од дванаесет ѕвезди;
2. беше бремена и викаше, бидејќи раѓаше, па имаше породилни маки.
3. Се покажа и друг знак на небото, и видов голем црвен змев со седум глави и со десет рогови, а на неговите глави седум круни;
4. неговата опашка збриша третина од небесните ѕвезди и ги фрли на земјата. А змевот стоеше пред жената која требаше да роди, за да и го проголта детето кога ќе го роди.
5. Таа роди машко дете, син, кој ќе ги води сите народи со железен жезол. И нејзиното дете беше однесено кај Бог и кај Неговиот престол.
6. А жената избега во пустината каде што имаше место приготвено од Бог, за да ја хранат таму илјада двеста и шеесет денови.
7. И настана војна на небото; Михаил со своите ангели завојува против змевот. Змевот, пак, и неговите ангели завојуваа,
8. но не одолеаја и не се најде веќе место за нив на небото.
9. Така големиот змев, старата змија, наречен ѓавол и сатана, кој го заведува сиот свет, беше исфрлен; беше фрлен долу на земјата, заедно со неговите ангели.
10. И чув силен глас на небото како зборува: 'Сега дојде спасението, силата и царството на нашиот Бог и власта на Неговиот Христос, затоа што е фрлен долу обвинителот на нашите браќа, кој ги обвинува пред нашиот Бог, дење и ноќе.
11. А тие го победија заради крвта на Јагнето и заради словото на своето сведоштво, и не зажалија да го дадат и својот живот.
12. Затоа, веселете се небеса и вие кои живеете на нив. Тешко вам, на земјата и морето, зашто ѓаволот слезе кај вас со голем гнев, знаејќи дека има малку време.'
13. А кога змевот виде дека е фрлен на земјата, почна да ја гони жената која го роди машкото.
14. На жената, пак, и дадоа две крила од голем орел, за да летне во пустината, на своето место, каде што се хранеше едно време, и две времиња, и половина време, далеку од лицето на змијата.
15. А змијата испушти по жената од својата уста вода како река, за да биде однесена од водата.
16. Но земјата и помогна на жената и ја отвори устата и ја испи реката што ја испушти змевот од својата уста.
17. Змевот, пак, се разгневи на жената и отиде да војува против останатите од нејзиното потомство, против оние кои ги пазат Божјите заповеди и го држат Исусовото сведоштво.

Глава 13

1. А јас застанав на песокта од морскиот брег. И видов ѕвер како излегува од морето, кој имаше десет рогови и седум глави, а на неговите рогови десет круни и на неговите глави богохулни имиња.
2. Ѕверот што го видов беше како леопард, нозете му беа како на мечка, а устата како на лав. А змевот му ја даде својата сила, својот престол и голема власт.
3. И видов една од неговите глави небаре е смртно ранета, но неговата смртоносна рана беше исцелена. И сета земја се восхити и тргна по ѕверот;
4. и му се поклонија на змевот, бидејќи му даде власт на ѕверот; му се поклонија и на ѕверот, велејќи: 'Кој е како ѕверот и кој може да војува против него?'
5. И му беше дадена уста која зборува големи нешта и богохулства, и му се даде власт да прави така четириесет и два месеци.
6. И ја отвори својата уста да хули против Бога, да го хули Неговото име и Неговиот Шатор, и оние кои живеат на небото.
7. Му беше дадено да завојува против светиите и да ги совлада и му се даде власт над секое племе, народ, јазик и род.
8. А сите кои живеат на земјата, чие име не е запишано во книгата на животот на Јагнето кое беше заклано уште од создавањето на светот, ќе му се поклонат .
9. Кој има уво, нека чуе.
10. Кој е одреден за ропство, ќе биде одведен во ропство; кој убива со меч и самиот треба да загине од меч. Ова е трпението и верата на светиите.
11. Видов и друг ѕвер како излегува од земјата и имаше два рога како кај јагне, а зборуваше како змев.
12. Тој ја спроведува власта на првиот ѕвер, во негово присуство, па направи земјата и нејзините жители да му се поклонуваат на првиот ѕвер чија смртоносна рана беше зацелена.
13. И прави големи чудотворни знаци, така што прави и оган да паѓа од небото на земјата пред луѓето.
14. Тој ги заведува жителите на земјата со чудотворните знаци што му беа дадени да ги прави пред ѕверот, велејќи им на жителите на земјата да направат икона на ѕверот кој имаше рана од меч и оживе.
15. И му беше дадено да вдахне дух во иконата на ѕверот, за иконата на ѕверот да прозборува и да направи да бидат убиени оние кои нема да се поклонат пред иконата на ѕверот.
16. И тој направи на сите - мали и големи, богати и бедни, слободни и робови - да им се даде белег на десната рака или на челото,
17. и никој да не може ниту да купи ниту да продаде, освен оној што го има белегот, името на ѕверот или бројот на неговото име.
18. За ова е потребна мудрост. Кој има разбирање нека го пресмета бројот на ѕверот, зашто тоа е број на човек, а неговиот број е шестотини шеесет и шест.

Глава 14

1. Погледнав и, ете, видов како Јагнето стои на гората Сион, а со него сто четириесет и четири илјади, кои на своите чела го имаа напишано Неговото име и името на Неговиот Татко.
2. И чув глас од небото, како шум на многу води и како татнеж од силен гром, а звукот што го чув беше како од харфисти кои свират на своите харфи.
3. Тие пееја нова песна пред престолот, пред четирите живи суштества и пред старешините, и никој не можеше да ја научи песната, освен оние сто четириесет и четирите илјади кои беа откупени од земјата.
4. Тоа се оние кои не се осквернија со жени; имено, тоа се девственици. Тие одат по Јагнето, каде и да оди. Тие се откупени меѓу луѓето, како првина на Бог и на Јагнето,
5. и лага не се најде во нивната уста; тие се непорочни.
6. Видов и друг ангел како лета сред небото, кој имаше вечно Евангелие, за да им го проповеда на жителите на земјата, на секој народ, племе, јазик и род.
7. Тој изговори со силен глас: 'Бојте се од Бог и подајте Му слава, зашто дојде часот на Неговиот суд, и поклонете Му се на Оној Кој ги создаде небото и земјата, морето и водните извори.
8. Дојде и втор ангел по него, велејќи: 'Падна, падна големиот Вавилон, кој ги напои сите народи со страсното вино на своето блудство.'
9. И трет ангел дојде по него, велејќи со силен глас: 'Ако некој му се поклони на ѕверот и на неговата икона, и прими белег на своето чело или на својата рака,
10. и самиот ќе пие од виното на Божјиот гнев, што е неразредено во чашата на Неговата јарост, и ќе биде мачен со оган и сулфур пред светите ангели и пред Јагнето.
11. А димот од нивното мачење ќе се издига во вечни векови; и оние кои му се поклонуваат на ѕверот и на неговата икона, и оној кој го прима белегот на неговото име не ќе имаат спокојство ни дење ни ноќе.'
12. Во тоа е трпението на светиите, кои ги пазат Божјите заповеди и верата во Исуса.
13. Потоа чув глас од небото, што ми велеше: 'Напиши: Блажени се мртвите кои отсега умираат во Господ! 'Да, - вели Духот -, за да починат од своите трудови, зашто нивните дела одат по нив.'
14. Потоа погледнав и видов бел облак, а на облакот седеше Еден, сличен на Синот Човеков, со златна круна на главата и со остар срп во раката.
15. И еден друг ангел излезе од храмот и му викна со силен глас на Оној Кој седеше на облакот: 'Испрати го својот срп и жнеј, зашто дојде твојот час за жнеење и зашто зрела е жетвата на земјата.'
16. А оној кој седеше на облакот, замавна со српот на земјата, и земјата беше пожнеана.
17. Излезе и друг ангел од храмот што е на небото, и имаше остар срп.
18. И трет ангел, кој имаше власт над огнот, дојде од кај жртвеникот, и извика со силен глас кон оној кој имаше остар срп: 'Испрати го својот остар срп и обери ги гроздовите од земното лозје, зашто грозјето е веќе зрело.'
19. И ангелот замавна со својот срп на земјата, и го обра земното лозје, па обраното го фрли во големото гмечало на Божјиот гнев.
20. Гмечењето се изврши надвор од градот, а од гмечалото потече крв до уздите на коњите, во должина од илјади и шестотини стадии.

Глава 15

1. И видов друг, голем и чудесен знак на небото: седум ангели што ги држеа седумте последни зла, зашто со нив завршува Божјиот гнев.
2. И видов нешто како стаклено море измешано со оган, а победниците над ѕверот и над неговата икона и на бројот на неговото име, стоеја на стакленото море и имаа Божји харфи,
3. и ја пееја песната на Мојсеј, Божјиот служител, и песната на Јагнето, велејќи: 'Големи се и прекрасни Твоите дела, Семоќен Господи Боже! Праведни и вистинити се Твоите патишта, Цару на народите.
4. Кој не ќе се бои од Тебе, Господи, и не ќе го прослави Твоето име? Зашто само Ти си свет; сите народи ќе дојдат и ќе се поклонат пред Тебе, зашто се покажаа Твоите праведни судови!'
5. Потоа видов како на небото се отвори храмот на Шаторот на сведоштвото,
6. а од храмот излегоа седумте ангели кои ги имаа седумте зла, облечени во чисти и светли ленени облеки и препашани со златни појаси преку градите.
7. А едно од четирите живи суштества им даде на седумте ангели седум златни садови полни со гневот на живиот Бог, Кој живее во вечни векови.
8. И храмот се наполни со дим од Божјата слава и од Неговата сила, и никој не можеше да влезе во храмот додека не завршија седумте зла на седумте ангели.

Глава 16

1. Потоа чув силен глас од храмот како им зборува на седумте ангели: 'Одете и излејте ги седумте садови на Божјиот гнев врз земјата!'
2. Првиот отиде и го излеа својот сад врз земјата и се појави лоша и лута рана на луѓето кои го имаа белегот на ѕверот и кои му се поклонуваа на неговата икона.
3. А вториот го излеа својот сад во морето и тоа стана како крв од мртовец и умре секое живо суштество во морето.
4. Третиот го излеа својот сад во реките и во водните извори, и тие станаа крв.
5. И го чув ангелот на водите како вели: 'Праведен си, Светецу, Кој си и Кој беше, затоа што им пресуди така;
6. зашто тие ја пролеаја крвта на светиите и на пророците, а ти крв им даде да пијат; тоа и го заслужуваат!'
7. И чув како жртвеникот вели: 'Да, Семоќен Господи Боже, Твоите пресуди се вистинити и праведни!'
8. Четвртиот ја излеа својата чаша врз сонцето, и му беше дадено да ги пече луѓето со оган.
9. И луѓето, горејќи од големата жега, похулија на името на Бог, Кој има власт над овие зла, и не се покајаа да Му оддадат слава.
10. А петтиот го излеа својот сад врз престолот на ѕверот и царството му се помрачи, та си ги гризеа своите јазици од болка.
11. И похулија на небесниот Бог заради своите болки и рани, и не се покајаа за своите дела.
12. Шестиот го излеа својот сад врз големата река Еуфрат: нејзината вода пресуши за да им се приготви патот на царевите од исток.
13. И видов како од устата на змевот, од устата на ѕверот и од устата на лажниот пророк излегуваат три нечисти духа како жаби;
14. имено, тоа се демонски духови, кои прават чуда и одат кај царевите на целиот свет за да ги соберат за војна во великиот ден на Семоќниот Бог.
15. (Ете, доаѓам како крадец. Блажен е оној кој бдее и ги пази своите облеки за да не оди гол и да не се гледа неговиот срам.)
16. И ги собраа на местото на хебрејски наречено Армагедон.
17. А седмиот ангел го излеа својот сад во воздухот, и излезе силен глас од храмот, од престолот, велејќи: 'Се збидна!'
18. И настапија молскавици, татнежи, громови, и настана голем земјотрес, каков што никогаш не бил откако се луѓето на земјата; таков голем и толку силен земјотрес.
19. Големиот град се раздели на три дела, а градовите на народите паднаа. Големиот Вавилон беше спомнат пред Бог, за да му биде дадена чашата со виното на Неговиот јаросен гнев.
20. И сите острови исчезнаа, и горите веќе не се најдоа.
21. А голем град, тежок околу еден талант, падна од небото врз луѓето, а луѓето Го хулеа Бога заради пакоста од градот, зашто неговото зло беше многу големо.

Глава 17

1. И дојде еден од седумте ангели, кои ги имаа седумте садови, проговори и рече: 'Дојди да ти ја покажам пресудата на големата блудница која седи на многу води,
2. со која блудствуваа земните цареви, а жителите на земјата се опија од виното на нејзиното блудствување.'
3. И ме одведе, во духот, во пустината: и видов жена како седи врз црвен ѕвер кој беше полн со богохулни имиња и имаше седум глави и десет рогови.
4. А жената беше облечена во пурпурно и во црвено, и украсена со злато, со скапоцени камења и со бисери, и држеше во својата рака златна чаша полна со гнасотијата и нечистотијата од нејзиното блудство,
5. а на челото, пак, и беше напишано име, тајна: 'ГОЛЕМИОТ ВАВИЛОН, МАЈКАТА НА БЛУДНИЦИТЕ И НА ЗЕМНИТЕ ГНАСОТИИ.'
6. Ја видов жената пијана од крвта на светиите и од крвта на Исусовите сведоци, и се зачудив многу кога ја видов.
7. А ангелот ми рече: 'Зошто се чудиш? Јас ќе ти ја кажам тајната на женава и на ѕверот што ја носи и кој има седум глави и десет рогови.
8. Ѕверот што го виде, беше и го нема, треба да излезе од бездната за да отиде во пропаст. А земните жители чие што име не е запишано во книгата на животот, од создавањето на светот, ќе се зачудат, кога ќе видат дека ѕверот беше, и дека го нема, и пак е.
9. За ова е потребен ум со мудрост! Седумте глави се седумте гори врз кои седи жената.
10. Тоа се седум цареви, од кои петмина паднаа, едниот постои, а другиот уште не е дојден, а кога ќе дојде, треба да остане малку.
11. Ѕверот, пак, кој беше и кого го нема, е осми, а е од седумте и оди во пропаст.
12. А десетте рогови што ги виде, тоа се десет цареви кои уште не се зацарени, но ќе примат царска власт заедно со ѕверот, за еден час.
13. Тие се истомисленици, и ќе му ја предадат својата сила и власт на ѕверот.
14. Тие ќе војуваат против Јагнето, но Јагнето ќе ги победи зашто е Господар на господарите и Цар на царевите, а со Него се повиканите, избраните и верните.'
15. И ми рече: 'Водите што ги виде, каде што седи блудницата, тоа се луѓе, толпи, народи и јазици.
16. А десетте рогови што ги виде, и ѕверот, ќе ја замразат блудницата и ќе ја запустат и соголат, ќе и го јадат месото и ќе ја изгорат со оган,
17. зашто Бог им даде во нивните срца да ја исполнат Неговата замисла, да дејствуваат едномислено и да му го дадат своето царство на ѕверот, додека не се исполни Божјото слово.
18. Жената, пак, што ја виде е големиот град кој владее над земните цареви.'

Глава 18

1. Потоа видов друг ангел како слегува од небото; тој имаше голема власт, и земјата се осветли од неговата слава.
2. И извика со силен глас, велејќи: 'Падна, падна големиот Вавилон, и стана демонско живеалиште и засолниште на сите нечисти духови и засолниште на сите нечисти и омразени птици,
3. зашто сите народи пиеја од виното на нејзиното распалено блудство, земните цареви блудствуваа со неа, а земните трговци се збогатија од нејзиниот изобилен раскош!'
4. И чув друг глас од небото како вели: 'Излези од неа, народе Мој, за да не бидеш соучесник во нејзините гревови и да не ги примиш нејзините зла;
5. зашто нејзините гревови се натрупаа до небото и Бог си спомна за нејзините беззаконија.
6. Возвратете и како што и таа ви возврати вам, и вратете и двојно, според нејзините дела; во чашата, во која таа налеваше, налејте и двојно!
7. Колку што се прослави себеси и живееше раскошно, дајте и толку маки и тага, зашто во своето срце вели: 'Седам како царица и не сум вдовица и нема никогаш да видам тага.'
8. Затоа во еден ден ќе дојдат нејзините маки: помор, тага и глад, и ќе биде изгорена со оган; зашто силен е Господ Бог Кој што ја суди.
9. И кога ќе го видат димот од нејзиното горење, ќе заплачат и ќе залелекаат по неа земните цареви, кои блудствуваа и живееја раскошно со неа.'
10. Стоејќи далеку, заради стравот од нејзините маки, ќе зборуваат: 'Тешко, тешко, голем граду Вавилону, силен граду, зашто во еден час дојде твојата пресуда!
11. И земните трговци ќе плачат и ќе лелекаат по неа, зашто никој веќе не ги купува нивните стоки,
12. стоки од злато, сребро, скапоцени камења и бисери, од лен, пурпур и свила, од црвена ткаенина и од секакво мирисливо дрво; од разни предмети од слонова коска и разни предмети од најскапоцено дрво, од бронза, железо и мермер,
13. цимет, балзам, мириси, масти, темјан, вино, масло, бело брашно и пченица, говеда, овци, коњи и кочии, тела и човечки души.
14. А плодовите по кое копнееше твојата душа, си отиде од тебе, и секое изобилство и секој сјај ти пропадна, и нема веќе да го најдеш.
15. Трговците со овие нешта, кои преку неа се збогатија, ќе стојат далеку заради страв од нејзините маки и ќе плачат и лелекаат,
16. велејќи: 'Тешко, тешко! Голем граду, ти кој беше облечен во лен, пурпур и во црвена ткаенина, и украсен со злато, скапоцени камења и со бисери,
17. зашто во еден миг пропадна толкаво големо богатство!'И секој бродосопственик, секој патник, морнар и сите кои тргуваат на море, застанаа далеку
18. и викаа кога го гледаа димот од неговиот пожар, велејќи: 'Кој беше како овој голем град?'
19. И си ги посипуваа главите со прав и викаа со плач и тага, велејќи: 'Тешко, тешко, голем граду, во кого сите кои имаа кораби по морето, се збогатија од неговите скапоцености,зашто запусте во еден час!
20. Веселете се над него, небо и вие светии, вие апостоли и вие пророци, зашто Бог го изрече вашиот суд над него.'
21. А еден силен ангел подигна камен, голем како воденички камен и го фрли во морето, велејќи: 'Вака насилно ќе биде фрлен големиот град Вавилон и нема веќе да се најде!
22. И звук на харфисти, свирачи, флејтисти и трубачи нема веќе да се чуе во тебе; и никаков занаетчија од ниеден занает нема веќе да се најде во тебе; и шум од воденица нема веќе да се чуе во тебе;
23. светлина на светало нема веќе да свети во тебе; и глас на младоженец и невеста нема веќе да се чуе во тебе; зашто твоите трговци беа големците на земјата; зашто со твоите гатања беа измамени сите народи.

24. И во неа се најде крвта на пророците, на светите и на сите кои беа заклани на земјата.'

Глава 19

1. Потоа чув нешто како силен глас од големо множество на небото, како зборува: 'Алелуја! Спасението, славата, честа и силата Му припаѓаат на Господ нашиот Бог,
2. зашто вистинити и праведни се Неговите пресуди! Зашто ја осуди големата блудница која ја расипа земјата со своето блудство, И ВРЗ НЕА ЈА ОДМАЗДИ КРВТА НА СВОИТЕ СЛУГИ!'
3. И по вторпат рекоа: 'Алелуја! НЕЈЗИНИОТ ДИМ СЕ ИЗДИГА ВО ВЕЧНИ ВЕКОВИ!'
4. А дваесет и четирите старешини и четирите живи суштества паднаа и Му се поклонија на Бог Кој седи на престолот, велејќи: 'Амин! Алелуја!'
5. А од престолот излезе глас, кој велеше:'Валете Го нашиот Бог сите Негови слуги и вие кои се боите од Него, мали и големи.'
6. И чув, како глас од големо множество, и како шум од големи води, и како татнеж на силни грмотевици, кој велеше: 'Алелуја, зашто владее нашиот Семоќен Господ Бог!
7. Да се радуваме, да се веселиме и да Му оддадеме слава, зашто дојде свадбата на Јагнето и Неговата невеста се подготви.
8. Нејзе и беше дадено да се облече во светло и чисто ленено платно, а платното, тоа се праведните дела на светиите.
9. И ми рече: 'Напиши: Блажени се оние кои се повикани на свадбата на Јагнето.' И уште ми рече: 'Ова се вистинити Божји зборови!'
10. Јас паднав пред неговите нозе да му се поклонам, а тој ми рече: 'Не прави го тоа! Јас сум слуга како и ти и твоите браќа, кои го имаат Исусовото сведоштво; поклони Му се на Бог, зашто Исусовото сведоштво е духот на пророштвото.'
11. Потоа видов отворено небо, и ете, бел коњ, а Оној Кој седеше на него се вика Верен и Вистинит, и суди и војува во праведност.
12. Очите Му се огнен пламен, а на главата многу круни и има напишано име кое никој не го знае освен Него.
13. Облечен е во облека натопена во крв, а името Му е Божјо Слово.
14. А го следеа небесните војски на бели коњи, облечени во бел и чист лен.
15. Од Неговата уста излезе остар меч, за да ги удира со него народите, и ќе им биде Пастир со железна палка; и Тој ќе ја гази kацата на виното на лутиот гнев на Сѐмоќниот Бог.
16. А на Неговата наметка и на Неговото бедро има напишано име: 'ЦАР НА ЦАРЕВИТЕ И ГОСПОДАР НА ГОСПОДАРИТЕ.'
17. Потоа видов еден ангел како стои на сонце и извика со силен глас, зборувајќи им на сите птици што летаат сред небото: 'Дојдете и соберете се на големата Божја гозба,
18. да јадете месо од цареви, месо од војводи, месо од моќници, месо од коњи и од оние кои ги јаваат и месо од сите луѓе слободни, робови, мали и големи.'
19. Потоа го видов ѕверот и земните цареви и нивните војски - собрани за да војуваат против Оној Кој седи на коњот и против Неговата војска.
20. А ѕверот беше фатен, заедно со лажниот пророк кој правеше чудотворни знаци пред него, со кои ги заведе оние кои го примија белегот на ѕверот и кои се клањаа на неговата икона; и обајцата беа фрлени живи во огненото езеро што гори со сулфур.
21. Другите, пак, беа убиени со мечот што излегуваше од устата на Оној Кој седеше на коњот, и сите птици се наситија со нивното месо.

Глава 20

1. И видов ангел кој слегуваше од небото и го имаше во својата рака клучот од Бездната и
голема верига.
2. Тој го фати змевот, старата змија, кој е ѓаволот и сатаната, го врза за илјада години,
3. па го фрли во бездната и ја заклучи и запечати над него, за да не ги мами народите додека
не се навршат илјада години; потоа треба да биде одврзан за кратко време.
4. И видов престоли, а на оние кои седеа на нив им беше дадено да судат; и ги видов и душите
на оние што беа обезглавени поради сведоштвото за Исус и поради Божјото слово, кои не му
се поклонија на ѕверот ниту на неговата икона, и кои не ја примија белег на своето чело и на
својата рака; тие оживеаја и царуваа со Христос илјада години.
5. А другите мртовци не оживеаја додека не се навршија илјада години. Тоа е првото
воскресение.
6. Блажен и свет е оној кој има дел во првото воскресение; над овие втората смрт нема власт,
туку ќе бидат Божји и Христови свештеници и ќе царуваат со Него илјада години.
7. А кога ќе се навршат илјадата години, сатаната ќе биде пуштен од својот затвор,
8. и ќе излезе да ги мами народите по четирите краишта на земјата, Гог и Магог, за да ги
собере за војна, чиј број е како морскиот песок.
9. И излегоа на земната ширина и го опкружија логорот на светиите и омилениот град; и падна
оган од небото и ги проголта.
10. А ѓаволот, кој ги заблудуваше, беше фрлен во езерото од оган и сулфур, каде што се и
ѕверот и лажниот пророк; тие вечно ќе бидат мачени дење и ноќе.
11. И видов голем бел престол и Оној Кој седеше на него, од Чие лице побегнаа земјата и
небото, и не се најде место за нив.
12. Ги видов мртвите, големи и мали, како стојат пред престолот, и се отворија свитоци; и друг
свиток се отвори - книгата на животот, а на мртвите им беше судено според она што е
запишано во свитоците, според нивните дела.
13. И морето ги предаде мртвите кои беа во него; и смртта и Адот ги предадоа мртвите кои
беа во нив, и секој беше суден според своите дела.
14. А смртта и Адот беа фрлени во огненото езеро. Тоа е втората смрт, огненото езеро.
15. И кој не беше запишан во книгата на животот, беше фрлен во огненото езеро.

Глава 21

1. И видов ново небо и нова земја, зашто првото небо и првата земја поминаа и море немаше веќе.
2. Тогаш го видов Светиот Град, Новиот Ерусалим, како слегува од небото, од Бог, стокмен како невеста, украсена за својот маж.
3. И чув како еден силен глас од престолот вели: 'Еве го Божјиот Шатор меѓу луѓето и Тој ќе живее со нив; и тие ќе бидат Негов народ, а Самиот Бог ќе биде со нив,
4. и ќе ја избрише секоја солза од нивните очи, и смрт нема да има веќе, ни тага, ни плач, ниту болка, зашто првото помина.
5. А Оној Кој седи на престолот, рече: 'Ете, правам сè ново.' И уште рече: 'Пишувај, зашто овие зборови се веродостојни и вистинити!'
6. И ми рече: 'Се сврши! Јас Сум Алфа и Омега, Почетокот и Завршокот. Јас ќе му дадам на жедниот, дарум, од изворот на водата на животот.
7. Кој победува ќе го наследи ова, и Јас ќе му бидам Бог, а тој ќе ми биде син.
8. А на страшливците и на неверните, и на гнасните и на убијците, и на блудниците и на гатачите, на идолопоклониците и на сите лажливци, делот им е во езерото што гори со оган и сулфур; тоа е втората смрт.
9. И дојде еден од седумте ангели кои ги имаа седумте садови полни со последните седум зла, проговори со мене и ми рече: 'Дојди да ти ја покажам невестата, жената на Јагнето!'
10. И ме одведе во духот на голема и висока гора и ми го покажа светиот град, Ерусалим, како слегува од небото, од Бог,
11. кој ја имаше Божјата слава, а неговата светлина беше слична на многу скапоцен камен, на кристално проѕирниот камен јаспис.
12. Имаше голем и висок ѕид со дванаесет порти и на портите - дванаесет ангели и напишани имиња, а тоа се имињата на дванаесетте племиња на израеловите синови.
13. Од исток имаше три порти, од север три порти, од југ три порти и од запад три порти.
14. А градскиот ѕид имаше дванаесет темели и на нив дванаесет имиња на дванаесетте апостоли на Јагнето.
15. А оној кој зборуваше со мене имаше златна трска за да го измери градот и неговите порти и неговиот ѕид.
16. Градот, пак, е поставен четриаголно, а должината му е колку и широчината. И го измери градот со трската: дванаесет илјади стадии; неговата должина, широчина и височина се еднакви.
17. И го измери неговиот ѕид: сто четириесет и четири лакти по човечка мерка, која е и ангелска.
18. Неговиот ѕид беше изграден од јаспис, а градот од чисто злато, како чисто стакло.
19. Темелите на градскиот ѕид беа украсени со секаков вид скапоцени камења: првиот темел е од јаспис, вториот - од сафир, третиот - од халкидон, четвртиот - од смарагд;
20. петтиот - од сардоникс, шестиот - од сард, седмиот - од хрисолит, осмиот - од вирил, деветтиот - од топаз, десеттиот - од хрисопрас, единаесеттиот - од хијацинт; дванаесеттиот - од аметист.
21. А дванаесетте порти беа дванаесет бисери; секоја порта беше од еден бисер. Градската улица беше од чисто злато како проѕирно стакло.
22. А храм не видов во него, зашто негов храм се Семоќниот Господ Бог и Јагнето.
23. И на градот не му е потребно сонце, ниту месечина, за да му светат, зашто Божјата слава го осветлуваше, а Јагнето му е светилник.
24. Народите, пак, ќе одат во неговата светлина, а земните цареви ќе ја донесат својата слава во него.
25. Неговите порти нема да се затвораат дење, зашто таму не ќе има ноќ.
26. Славата и честа на народите ќе бидат донесени во него.

27. И во него нема да влезе ништо нечисто, ни оној кој прави нешто гнасно и лаже, туку само оние кои се запишани во книгата на животот на Јагнето.

Глава 22

1. И ми покажа река со вода на животот, бистра како кристал, која истекува од престолот на Бог и на Јагнето.
2. Сред неговата улица и од двете страни на реката беше дрвото на животот, кое раѓа дванаесет пати, кое секој месец го дава својот плод, а лисјата на дрвото се за исцелување на народите.
3. Таму нема веќе да има никакво проклетство. Престолот на Бог и на Јагнето ќе биде во него, а Неговите слуги ќе Му служат
4. и ќе го гледаат Неговото лице, а Неговото име ќе им биде на нивните чела.
5.Ноќ веќе нема да има и не ќе им биде нужна светлина од светилка, ни светлина од сонцето, зашто Господ Бог ќе ги осветлува, и ќе владеат вечно.
6. И ми рече: 'Зборовиве се веродостојни и вистинити; и Господ Бог на пророчките духови го испрати Својот ангел за да им ги покаже на Своите слуги нештата што наскоро ќе се случат.
7. Еве, доаѓам скоро. Блажен е оној кој ги пази пророчките зборови на оваа книга!
8. Јас, Јован, сум тој кој ги чу и ги виде овие нешта. И кога чув и видов, паднав да се поклонам пред нозете на ангелот кој ми ги покажа овие нешта.
9. А тој ми рече: 'Не прави го тоа! Јас сум слуга како и ти и твоите браќа, пророците и сите оние кои ги пазат зборовите на оваа книга. На Бог поклони Му се!'
10. И ми рече:' Не запечатувај ги пророчките зборови на книгава, зашто времето е близу!
11. Оној Кој врши неправда, нека врши уште неправда; и кој е осквернет, нека се осквернува уште; и кој е праведен нека врши уште праведност; и кој е свет, нека станува уште посвет!'
12. Ете, доаѓам скоро, и наградата Моја е со Мене, за да му дадам секому според неговото дело!
13. Јас Сум Алфа и Омега, Првиот и Последниот, Почетокот и Завршокот.
14. Блажени се оние кои ги перат своите облеки, за да имаат право на дрвото на животот и за да можат да влезат во градот низ портите!
15. Надвор се кучињата, гатачите, блудниците, убијците, идолопоклониците и секој кој ја сака лагата и кој лаже.'
16. 'Јас, Исус, го испратив Својот ангел за да ви го посведочи ова на црквите. Јас Сум Давидовиот корен и сјајната ѕвезда Деница!'
17. Духот и невестата велат: 'Дојди!' И кој слуша нека рече: 'Дојди!' И кој е жеден - нека дојде, и кој сака - нека земе дарум од водата на животот!
18. Јас му сведочам секому кој ги слуша пророчките зборови на оваа книга. Ако некој им додаде нешто, Бог ќе му додаде од маките опишани во оваа книга.
19. А ако некој одземе нешто од зборовите на книгава на ова пророштво, Бог ќе му го одземе неговиот дел од дрвото на животот и од светиот град, кои се опишани во оваа книга.
20. Оној Кој го сведочи ова, говори: 'Да, доаѓам скоро!' - Амин! Да, дојди Господи Исусе!
21. Благодатта на Господ Исус нека биде со сите вас. Амин!